**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-6475/1 од 22.08.2023 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Триесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **30.08.2023 година (среда) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за помош на настраданото население погодено од невремето и катастрофалните поплави во Република Словенија;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ ''Григор Прличев'', Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година;
4. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
5. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година;
8. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
9. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;

10. Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
11. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци,Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
21. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
22. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година;
23. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
24. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
25. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
26. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
27. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
28. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци,Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
29. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
30. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
31. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
32. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
33. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
34. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
35. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;

36. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
37. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
38. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
39. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
40. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
41. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
42. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
43. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
44. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година;
45. Предлог - Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за класа на намена А1-домување во куќи, согласно извод од Детален урбанистички план за "Крсте Мисирков", за КП 1147 КО Синѓелиќ, Општина Гази Баба - Скопје;
46. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - јуни 2023 година;
47. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година;
48. Предлог - Одлука за примање на донација од Здружение за консалтинг, анализа, истражување и развој "Консеј" Скопје;
49. Предлог - Одлука за давање согласност за користење на името "Гази Баба", во постапка за основање на правен субјект;
50. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2023 година;
51. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2024 година;
52. Предлог - Одлука за примање на донација од Амбасада на Народна Република Кина во Република Македонија;
53. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба;

54. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година;
55. Предлог - Програма за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година;
56. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-2685/2016 за КП 1867 КО Маџари; и
57. Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за финансиски прашања

**Претставник:** Рената Стоилковска, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ПОГОДЕНО ОД НЕВРЕМЕТО И КАТАСТРОФАЛНИТЕ ПОПЛАВИ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ПОГОДЕНО ОД НЕВРЕМЕТО И КАТАСТРОФАЛНИТЕ ПОПЛАВИ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба во знак на хуманост и солидарност доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година за помош на настраданото население погодено од невремето и катастрофалните поплави што ја зафатија Република Словенија на 03 и 04 август 2023 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ од 400.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, од Програма - АО - Совет на општина, ставка 412 110 - постојана резерва.

**Член 3**

Одобрените средства да се уплатат на соодветна донаторска сметка на надлежната институција.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ ПОГОДЕНО ОД НЕВРЕМЕТО И КАТАСТРОФАЛНИТЕ ПОПЛАВИ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Со оваа Предлог-Одлука се доделуваат финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година за помош на настраданото население во Република Словенија, погодено од невремето и катастрофалните поплави на 03 и 04 август 2023 година, во висина од 400.000,00 денари, предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, од Програма - АО - Совет на општина, ставка 412 110 - постојана резерва.

Овие средства согласно можностите на општината се знак на хуманост и солидарност на граѓаните на Општина Гази Баба со граѓаните на Република Словенија за санирање на последиците од невремето и катастрофалните поплави што зафатија повеќе од 2/3 од територијата на Република Словенија.

Република Словенија во минатото при катастрофалните поплави што зафатија дел од Општина Гази Баба во 2016 година, како и пожарите што ја зафатија Малешевијата во 2021 година, со материјално-технички средства и човечки ресурси несебично учествуваше при справување со последиците и пружање на помош на настраданото население.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката има финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, во висина од 400.000,00 денари.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

# Fwd: Соопштение за помош на настраданото население во Словенија

From: ООЦК Гази Баба (gazibaba@redcross.org.mk)

To: [redacted]

Date: Thursday, August 17, 2023 at 10:43 AM GMT+2

Почитувани,

Катастрофалните поплави предизвикани од силното невреме, кое во изминатите денови ја погоди Словенија, на жал предизвика големи материјални штети и човечки загуби. Илјадници луѓе се евакуирани од своите домови ширум Словенија.

Црвениот крст веднаш стапи во комуникација со Црвениот крст на Словенија и согласно нивната проценка, понудена им е првична помош. Од своите резерви, Црвениот крст на РСМ издвои средства во висина од 5.000 евра, понудени се и волонтери, тимови за соодветна интервенција и во зависност од потребите веднаш ќе бидат ставени во функција.

Црвениот крст испрати Соопштение до средствата за јавно информирање во кое сите заинтересирани правни субјекти и граѓани можат да донираат парична помош на:

- Сметката на Фондот на солидарноста на Црвениот крст на РСМ: 300000001327966, даночен број: 4030984271620 АД Комерцијална банка со назнака: помош за настраданото население во Словенија.

- како и да се донираат 100 денари со повик на телефонските броеви 143 400 на Македонски Телеком и А1.

- За донации на средства во странска валута:

NAME OF THE ORGANIZATION: RED CROSS OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIAN

BANK NAME: KOMERCIJALNA BANKA AD SKOPJE

BANK ADDRESS: UL. ORCE NIKOLOV NO.3, 1000 SKOPJE, MACEDONIA

BANK ACCOUNT: 300000000000133 25730522-11

SWIFT CODE: KOBSMK2X

IBAN CODE: MK07300701000001228

Со почит,

**Тамара Грбевска Миталковска**

Црвен крст на Република Северна Македонија

Проектен координатор

тел: +3892 3114 355 лок: 117

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за финансиски прашања

**Претставник:** Рената Стоилковска, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 108 став (1) алинеја 12 а во врска со член 113 став (1) алинеја 22 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на директорот на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, бр.18-5343/1 од 29.06.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката бр.02-49/39 од 20.06.2023 година, за расходување на основни средства (неупотребливи компјутери и компјутерска опрема), донесена од училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Григор Прличев",Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со вонредниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 108 став (1) алинеја 12 а во врска со член 113 став (1) алинеја 22 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Директорот на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје до основачот - Општина Гази Баба, достави барање бр.18-5343/1 од 29.06.2023 година за добивање на согласност на одлука на училишниот одбор за расходување на основни средства (неупотребливи компјутери и компјутерска опрема), бр.02-49/39 од 20.06.2023 година.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ Скопје**

ул.„Гемиџиска“ бр.57 Скопје ☎ 5 126 834

e-mail oougrigorprlicev@gmail.com www.grigorprlicev.edu.mk

Архивски знак:
Рок на чување:
Број:

---

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ
Примено: 29-06-2023
Орг. един. 18 | Број 5343/1 | Прилог | Вредност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
Бр. 02-693
29.06.2023 год.
СКОПЈЕ

До:

Општина Гази Баба

Скопје

ПРЕДМЕТ: Извеестување и барање согласност за спроведиување Одлука за расходување на неупотребливи компјутери и компјутерска опрема

Општинското основно училиште „Григор Прличев“, Скопје, спроведе вонреден попис и од страна на пописната комисија доставен е Извештај со Предлог до Училишниот одбор на училиштето за расходување на неупотребливи компјутери и компјутерска опрема.

Од страна на училишниот одбор на 20.06.2023 година прифатен е предлогот и донесена е едногласно одлука број 02-49/39, која Ви ја доставуваме во прилог на известувањето.

Како оснивач на основните училишта и надлежен за користење и располагање на стварите во општинска сопственост се обраќаме до Вас со барање за добивање согласност за спроведување на Одлуката.

Прилог:

1.Одлука број 02-49/39

Директор

Александра Петковска Анастасов

Врз основа на член 106 точка 1 и 7, член 108 точка 1 алинеа 12 од Законот за основно образовани („Службен весник на РСМ бр. 161 од 05 август 2019 година) и Извештајот број 02-49/35 од Пописна комисија од извршен вонреден попис, Училишниот одбор при ООУ„Григор Прличев", Скопје, на својата 22-ра редовна седница одржана на ден 20.06.2023 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
Бр. 02-49/39
20.06.2023 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

За прифаќање Предлог во Извештај број 02-49/35 од пописна комисија од спроведен вонреден попис

1.Донесена е Одлука прифатен е Предлогот во Извештајот број 02-49/35 од пописната комисија од спроведениот вонреден попис во 2023 година на ООУ „Григор Прличев", Скопје.

2. Предлог за расходување на следните средства кои се оштетени или вон-употреба (од МОН и пописни листи) :

| Инв. Број | Просторија | Производител | Опис | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | Магацин - хаусмајстор | Haier | Персонален компјутер Haier/Host TW 945G | 20 | Од МОН |
| | Магацин - хаусмајстор | Haier | Тастатура | 140 | Од МОН |
| | Магацин - хаусмајстор | Haier | 15" LCD монитор Haier 5005L11 | 140 | Од МОН |
| 1781-1786 | Кабинет по информатика | Niko | Куќиште Niko | 6 | Од пописна листа |
| 1787,1789 1793,1794 | Кабинет по информатика | Niko | Куќиште Niko (неисправно) | 4 | Од пописна листа |
| 1789 | Кабинет по информатика | Hisense | Куќиште Hisense | 1 | Од пописна листа |
| 1790 | Кабинет по информатика | Anhoch | Куќиште Anhock (неисправно) | 1 | Од пописна листа |
| 1791,1796 | Кабинет по информатика | IBM | Куќиште IBM (неисправно) | 2 | Од пописна листа |
| 1792 | Кабинет по информатика | Haier | Куќиште Haier | 1 | Од пописна листа |
| 1795 | Кабинет по информатика | | Куќиште (склопено неисправно) | 1 | Од пописна листа |
| 1797 | Кабинет по информатика | Haier | Куќиште Haier (неисправно) | 1 | Од пописна листа |
| 1798-1815, М181 | Кабинет по информатика | Haier | Монитор LCD Haier | 19 | Од пописна листа |
| Бб | Кабинет по македонски јазик | | Монитор | 5 | Од пописна листа |
| | Кабинет по | | Тастатура | 1 | Од пописна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | македонски јазик | | | | листа |
| 1722 | Канцеларија на секретар | | Десктоп куќиште | 2 | Од пописна листа |
| 1712 | Канцеларија на директор | | Тастатура | 1 | Од пописна листа |
| 1713 | Канцеларија на директор | | Десктоп куќиште | 1 | Од пописна листа |
| 1900 | Кабинет по математика | | Детски лаптоп | 1 | Од пописна листа |
| бб, II31KP1 | Кабинет по математика | | Десктоп куќиште | 3 | Од пописна листа |
| 1955-1974 | Кабинет по англиски јазик | Haier | Монитор Haier | 21 | Од пописна листа |
| | Кабинет по англиски јазик | | Тастатури | 6 | Од пописна листа |
| | Кабинет по биологија | | Тастатура | 1 | Од пописна листа |
| | Кабинет по историја | | Тастатура | 1 | Од пописна листа |
| | Кабинет за дефектолог | ASUS | Куќиште ASUS | 1 | Од пописна листа |
| 1748 | Наставничка канцеларија | Haier | Монитор Haier | 1 | Од пописна листа |
| 1777,1893 | Наставничка канцеларија | | Детски лаптоп | 2 | Од пописна листа |
| 2022 | Кабинет за библиотека | | Десктоп куќиште | 2 | Од пописна листа |
| | Подрум | | Принтер | 4 | Од пописна листа |
| 1857 | Кабинет одделенска I10 | | Детски лаптоп | 1 | Од пописна листа |
| 1996-2014, 2020 | Кабинет одделенска I13 | | Детски лаптоп | 20 | Од пописна листа |
| 1800-2100 I, II, ББ | Кабинет одделенска I13 | | Ученички лаптоп | 33 | Од пописна листа |
| 2025, 2029-2041 | Аула | | Декстоп куќиште | 14 | Од пописна листа |
| 2042-2054 | Аула | AOC | Монитор AOC | 11 | Од пописна листа |

3.Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на училишен одбор

/Костадин Андов/

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје

**Претставник:** в.д.директор, Игор Атанасовски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2023 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година, бр.02-124/3 од 13.07.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година, бр.02-124/3 од 13.07.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ВТОРОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2023 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје до Совет на Општина Гази Баба достави тримесечен финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година и Одлука за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година, бр.02-124/3 од 13.07.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

Член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија гласи:

''(3) Јавното претпријатие е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 35 дена по истекот на тримесечјето.''

Член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа гласи:

(1) Советот:

.....

''9. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;''

Тримесечен финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година и Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за второто тримесечје од 2023 година, бр.02-124/3 од 13.07.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018, 35/2019, 275/2019, 89/2022, 274/2022) и член 16 став 1 точка 4 од Статутот на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Управниот одбор на седницата одржана на 13.07.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Тримесечниот Финансов Извештај за работа и резултатите од работењето на**
**ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 за 2023 година**
**за второто тримесечје**

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Бр. 02-1241/3 13-07 2023 год. СКОПЈЕ

**Член 1**

Се усвојува Тримесечниот Финансов Извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 за второто тримесечје за 2023 година.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Извештајот наведен во член 1 од Одлуката.

**Член 3**

Одлуката е конечна и стапува во сила со денот на донесувањето.

**ЈКП ГАЗИ БАБА-2007**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 01-126/11
13-07 2023 год.
СКОПЈЕ

# *ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП ГАЗИ БАБА-2007*

***За периодот од 01.04.2023 до 30.06.2023 година***

# *1.Вовед*

Јавното комунално претпријатие "ЈКП Гази Баба - 2007" при вршењето на своите редовни работни активности што подразбираат стопанисување со водоводните системи во населените места Црешево, Смилковци, Булачани и Виниче и одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба и комерцијални услуги од комуналнтата сфера во вториот квартал од 2023 година ги оствари следните резултати:

**Почетна состојба на 01.04.2023 изнесува 5 441 915денари**

| Вкупни Приливи | Вкупни Одливи |
|---|---|
| 33 059 357,00 | 32 417 020,00 |
| **Салдо на 30.06.2023** | 6 084 252,00 |

| Месец | Приход од вода |
|---|---|
| Јануари | 155 834,00 |
| Февруари | 209 779,00 |
| Март | 199 816,00 |
| Април | 131 977,00 |
| Мај | 102 878,00 |
| Јуни | 252 665,00 |
| Вкупно | 1 052 949,00 |

Директор
Игор Атанасовски

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје

# П Р Е Г Л Е Д

## на приливите и одливите за ЈКП „Гази Баба-2007 за април 2023 година

| Реден број | Приливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршена комунална услуга (водоснабдување) | 131 977,00 | с.Црешево,с.Смилковци, с.Булачани и с.Виниче |
| 2. | Префактурирање (урбана опрема,улично осветлување,гориво итн) | 7 821 465,00 | Општина Гази Бба |
| 3. | Субвенција од Општина Гази Баба | 2 498 683,00 | субвенција за сезонски работници |
| 4. | Одржување на јавна зеленило | 2 131 332,00 | Општина Гази Баба |
| 5. | Хидротехнички услови | 1000,00 | |
| **ВКУПНО:** | | **12 584 457,00** | |

| Реден број | Одливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Банкарска провизија | 8 601,00 | |
| 2. | Обврски за бруто плата на вработени во ЈКП Гази Баба | 776 748,00 | |
| 3. | Обврски за бруто плата на сезонски работници во ЈКП Гази Баба-2007 | 2 498 683,00 | |
| 4. | Обврски коп добавувачи | 8 734 039,00 | |
| 5. | Обврски за данок на добивка | 1 121 762,00 | |
| 6. | Надомест за утврдување на тарифа на водна услуга | 30 000,00 | |
| 7. | Надоместок за управен и надзорен одбор | 47 500,00 | |
| 8. | Персонален данок за управен и надзорен одбор | 5 282,00 | |
| 9. | Обврски за данок на додадена вредност | 69 114,00 | |
| 10. | Аконтација на данок на добивка | 141 799,00 | |
| | **Вкупно:** | **13 433 528,00** | |

# П Р Е Г Л Е Д

## на приливите и одливите за ЈКП „Гази Баба-2007 за мај 2023 година

| Реден број | Приливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршена комунална услуга (водоснабдување) | 102 878,00 | с.Црешево,с.Смилковци, с.Булачани и с.Виниче |
| 2. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени површини) | 2 203 236,00 | Општина Гази Баба |
| 3. | Префктурирање(електрична енергија,урбана опрема,гориво итн.) | 6 002 728,00 | Општина Гази Баба |
| 4. | Субвенција од Општина Гази Баба | 2 454 485,00 | субвенција за сезонски работници |
| | **ВКУПНО:** | **10 763 327,00** | |

| Реден број | Одливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Банкарска провизија | 7 168,00 | |
| 2. | Обврски кон добавувачи | 5 763 795,00 | |
| 3. | Бруто плата за вработени во ЈКП Гази Баба | 785 129,00 | |
| 4. | Бруто плата за сезонски работници | 2 454 485,00 | |
| 5. | Обврски за фонд за вода | 10 725,00 | |
| 6. | Аконтација на данок на добивка | 142 204,00 | |
| 7. | Регистрација на возило | 6 720,00 | |
| 8. | Обврски за ДДВ | 287 581,00 | |
| | **Вкупно:** | **9 457 807,00** | |

# П Р Е Г Л Е Д

## на приливите и одливите за ЈКП „Гази Баба-2007 за јуни 2023 година

| Реден број | Приливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршена комунална услуга (водоснабдување | 252 665,00 | с.Црешево,с.Смилковци, с.Булачани и с.Виниче |
| 2. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени површини) | 2 208 938,00 | Општина Гази Баба |
| 3. | Префактурирање (улично осветлување,урбана опрема,хортикултура) | 4 013 983,00 | Општина Гази Баба |
| 4. | Субвенција за сезонски работници | 2 426 047,00 | Општина Гази Баба |
| 5. | Приклучок за вода | 4 000,00 | |
| 6. | Субвенција за ХТЗ | 805 940,00 | |
| | **ВКУПНО:** | **9 711 573,00** | |

| Реден број | Одливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Банкарска провизија | 7 519,00 | |
| 2. | Бруто плата за вработени во ЈКП Гази Баба-2007 | 785 668,00 | |
| 3. | Обврски кон добавувачи | 5 831 192,00 | |
| 4. | Бруто плата за сезонски работници | 2 426 047,00 | |
| 5. | Договор на дело | 40 000,00 | |
| 6. | Аконтација за данок на добивка | 142 339,00 | |
| 7. | Надоместок за управен и надзорен одбор | 22 500,00 | |
| 8. | Персонален данок за управен и надзорен одбор | 2 502,00 | |
| 9. | Персонален данок за договор на дело | 4 444,00 | |
| 10. | Обврски за фонд за вода | 3 491,00 | |
| 11. | Обврски за данок на додадена вредост | 259 983,00 | |
| | **Вкупно:** | **9 525 685,00** | |

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Анета Петровска

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот извештај за работата на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложен од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-304/4 од 10.08.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до управниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

Јавната установа за деца - Детска градинка „Детска Радост"
Општина Гази Баба – Скопје ул. „Бапчор" бр. 2, Скопје.
тел.: +389 2 3173 633

Согласно член 116 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и („Службен весник на Р.С.М" бр. 104/19, 146/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 27 од Статутот на Јавната установа за деца – Детска градинка „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на ден 10.08.2023 год. донесе

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"Детска Радост" Општина Гази Баба
Бр. 02-304/4
10.08 2023 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**
**за донесување Годишен извештај**

Се донесува Годишен извештај за работа на јавната установа за деца – детска градинка „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, за период 2022/2023 година.

Согласно Законот за заштита на децата и Статутот на ЈУДГ „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, Годишен извештај за работа да се достави до Советот на општина Гази Баба.

Претседател на Управен одбор
Елена Мисајловска

Јавна установа за деца-Детска градинка "Детска радост" Општина Гази Баба Република Македонија СКОПЈЕ

**Јавна установа за деца - Детска градинка**
**„ДЕТСКА РАДОСТ“**
**- општина Гази Баба – Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА “ДЕТСКА РАДОСТ“- СКОПЈЕ ЗА 2022/2023ГОДИНА

**Август 2023 година**

*МИСИЈА*: Градинка во која децата растат низ другарство, игра, приказни, песни, знаења за многу нешта. Разбирање, доверба, соработка меѓу родителите, градинката и средината во заедничка грижа за развојот и воспитувањето на децата.

*ВИЗИЈА*: Деца – родители – стручни лица

Чекорење низ детството со радост во откривањето и доживувањето на себеси и светот околу себе. Вредности за добро и убаво. Мостови кои поврзуваат различности, спомени и иднина. Креатори на предизвици.

ЦЕЛ: Градинката е голема куќа во која децата своите потреби и потенцијали, барања и достигнувања ги насочуваат кон збогатување и развивање на севкупната личност.Децата учат како да сакаат, да споделуваат, да создаваат, да се менуваат и напредуваат.

*СТРАТЕГИЈА*: Посветеност кон унапредување на амбиентот, капацитетите, квалитетот во остварување на згрижувачката и воспитно – образовната работа.

Активно учество во дизајнирање на подобра законска и програмска регулатива за обврски, задачи, носители, ефикасност на дејноста. Отвореност и одговорност кон јавноста проток на идеи, пристапи во решавање на проблеми.

Афирмирање на постигањата во работата кои позитивно влијаат на свеста и нивото на ангажирање на сите чинители во предучилишното воспитание и образование.

*МОТО*: Градинка со насмевка за добредојде

В О В Е Д ..... 3
I.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА И РАБОТНО ВРЕМЕ ..... 4
I.II ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЧКО – ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА СО ДЕЦАТА ..... 5
II.ПРОГРАМА ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА ..... 11
ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РАЗВОЈНИ ДОМЕНИ ..... 14
ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ ..... 14
ПРОЕКТИ ..... 25
III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИ ..... 33
IV.РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ, СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ ..... 34
V. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ ..... 47
VI. СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА И СРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ ..... 50
VII. КУЛТУРНА ЈАВНА ДЕЈНОСТ ..... 52
VIII.СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕННИТЕ ..... 54
IX.РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ ..... 56
СТРУЧЕН СОВЕТ ..... 56
СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ ..... 57
СОВЕТ НА НЕГОВАТЕЛИ ..... 58
X. ДРУГИ РАБОТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ..... 59

# В О В Е Д

**Јавната установа за деца-Детска градинка„Детска Радост“ - Општина Гази Баба - Скопје** во понатамошниот текст**:** детска градинка,своите програмски цели и задачи во програмската 2022/23 година ги реализираше согласно законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко-психолошки сознанија.

Основната дејност згрижуване и воспитување на деца од предучилишната возраст се реализираше преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско рекреативни и културно-забавни активности со деца од 8 месеци до 6 годишна возраст односно до вклучување во основното образование.

Воспитно – образовната и згрижувачката дејност на ЈУДГ„Детска радост“ се реализираше според на Програмата за рано учење и развојно донесена од МТСП на Република Северна Македонија и се продолжи со имплементација на Стандардите за рано учење и развој на децата од 0 до 6 години. Во текот на годината се настојуваше да се создадат подобри услови за престој на децата, се превземаа мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето, како и воспитно-образовни активности кои водеа кон поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на децата.

Градинка претставуваше поволна општествена и материјална средина која понуди програма со интересни, разновидни пред се осмислени активности за децата. И оваа програмска година се посветивме на создавање на средина пријатна за престој и игра, стимулативна со еднакви можности за сите деца без разлика на пол, раса, религија,. Основна цел ни беше почитување на детската личност, нивните индивидуални можности и преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање на работата и соработка со семејството, кај децата да поттикнеме развој во една стабилна и креативна индивидуа полна со разбирање, почитување и прифаќање на сличностите и разликите помеѓу луѓето.

Можеме да истакнеме дека и оваа 2022/23 година градинката реализираше успешна програмска година исполнета со многу проекти, активности и игри за децата. Залагањето на сите вработени, полни со љубов за децата и својата професија, соработката со родителите и поширокатa средината придонесоа за реализација на севкупно планираните програмски активности.

## I.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА И РАБОТНО ВРЕМЕ

Јавната установа за деца детската градинка „Детска Радост“ претставува јавна воспитно - образовна институција која во изминатата 2022/23 година својата воспитно-образовна и згрижувачка дејност ја организираше во пет работни единици (објекти) распоредени на територија на Општината Гази Баба и тоа:

**1. Мимоза-** нас.Автокоманда ул.Бапчор бр.2
**2. Темјанушка 1-**нас. Автокоманда ул.Јани Лукровски бр.6
**3. Темјанушка 2-**нас. Автокоманда ул.Јани Лукровски бр.6
**4. Сончоглед-**нас. Автокоманда ул.Јани Лукровски бр.4
**5. Калинка-**нас.Железара ул.Гемиџиска бб

**Просторни услови:** Сите објекти на установата се наменски изградени од тврда градба и соодветно опремени, а целокупниот простор во установата беше организиран во согласност стандардите и нормативите за вршење на дејноста. Секој од објектите располага со простории за престој на децата – занимални, соодветни детски тоалети, канцеларии, лекарска соба, тријажни простории и гардаробери, сала за слободени, рекреативни и забавни детски активности. Објектите се опремени со функционални основни средства и ситен инвентар кој е сообразен со возраста на децата и ги задоволува нивните потреби. Во текот на целата година продолжија активностите во насока на одржување на постоечките услови согласно со сите прописи правила за добро работење и обезбедување на подобри услови за престој на децата. Обновување на инвентар се вршеше по потреба и во рамките на можностите на установата и средствата со кои располагавме. Направено е дополнување на нова кујнска опрема во објект Калинка; се обезбеди нов домофон во објект Калинка; дел од вратите во Темјанушка и Мимоза, нова постелнина, санирање на покривот, целосно внатрешно и делумно надворешно варосување на објектот Мимоза, шест индустријски правосмукалки и три индиструстриски машини за перење.

**Опременост**: На децата соодветно на возраста им беше овозможен соодветен простор за игра и разновидни програмски активности како и други потреби во текот на престојот. Децата беа распределени во вкупно 30 воспитни групи и секоја воспитна група имаше соодвтен простор – занимална, во која непречено се остварувваа активностите поврзани со секојдневниот престој на децата: насочени и слободни игровни активности, исхрана, нега, хигиена, одмор и рекреација.

Во рамки на објектот Мимоза со својата работа продолжи Советувалиштето за деца и родители, каде стручниот тим составен од педагог, логопед и специјален едукатор и рехабилитатор ја остваруваше својата советодавна работа со родителите додека индивидуална и група работа со деца се реализираше во сите објекти на установата. Средбите со родителите се организираа на барање на стручните лица од установата или по иницијатива на родителите со предходно договорени термини. Понекогаш во согласност со потребите на родителите и децата средбите се остваруваа и во останатите објекти.

Секој од објектите на градинката располага со соодветни дворни површини кои претставуваат омилен дел за престој и игра на децата и истите се опремени со реквизити соодветни за деца од предучилишната возраста. Континуирано се грижиме за хортикултурно уредување на дворовите. Редовно се врши одржување на зеленилото и цвекето па така оваа година дворните површини беа надополнети со нови садници. Пространите хортикултурно уредени дворови претставуваат одлични место за игра и разонода на децата, престој на воздух особено во летните месеци.

**Библиотеки:** Градинката за стручно усовршување на кадарот и унапредување на дејноста во секој од објектите има кабинетски библиотеки кои располагаат со стручна литература од областа на педагогијата, психологијата, здравствена и општо образовната дејност. Истите континуирано се надополнуваат со стручна литература. Додека во рамки на секоја занимална постојат детските библиотечни центри кои се опремени со детска литература: книги, сликовници, списанија, енциклопедии од повеќе издавачки куќи со цел да се поттикне интерес и љубов кон книгата и истите беа надополнувани во текот на годината. Минатата година библиотечните центри беа надополнети со сликовниците од едицијата „Размислувај еднакво“ од програмата за социјална кохезија и клтурен дијалог подржана од МТСП, УНИЦЕФ и Светска банка. Сликовниците и оваа програмска година задолжително се реализираа во постарите воспитни групи од 5 до 6 години. Како поддршка во реализација на воспитно-образовната програма, по желба на родителите, беа користени детските списаниа Росица, Смешка и Ѕвездички, како и прирачници за предучилишна возраст одобрени од МТСП.

Според времетраењето во градинката се изведуваше програмата за целодневен престој која опфаќаше згрижување и воспитување на деца од 9 до 11 часа, се изведувааше претпладне и беше наменета за деца од осум месеци до шест години односно до поаѓање на училиште.

Работното време на сите објекти на градинката е од шест часот наутро до осумнаесет часот попладне.

## I.II ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЧКО – ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА СО ДЕЦАТА

Во програмската 2022/23 година згрижувањето и воспитувањето на децата во градинката беше организиран во возрасни групии кои се утврдени со Законот за заштита на децата. Во сите воспитни групи беше организиран адекватен престој за децата со соодветена опрема и инвентар кој беше прилагоден на возраста на децата и нивните развојни потреби. Приоритет ни претставуваше потребата да се обезбеди сигурна и безбедна средина за престој на децата, организиран простор за движење, игра и учење, надополнет со инспиративен материјал кој го поттикнува детето слободно да игра и истражува. За постигнување на наведените цели во градинката постојат објективни просторни можности односно секоја воспитна група од градинка и јаслен дел имаше своја занимална. Во сите објакти постои и мултифункционална сала во која се реализираа активностите по физичко и музичко воспитување како и приредби со децата и други слободни и изборни активности.

Во петте објекти на градинката беа формирани 30 хомогени групи и тоа 6 групи јасли во кои беа опфатени деца од 8 до 24 месеци и 24 групи воспитни групи градинка во кои беа опфатени деца од 2 години до поаѓање во училиште Во текот на програмската година во градинката беа згрижени вкупно 613 деца.

**Предлед на деца и воспитни групи:**

| Ред. број | Воспитни групи во целодневен престој | Број на групи | Број на деца |
|---|---|---|---|
| 1. | Воспитни групи до 2 години | 6 | 126 |
| 2. | Воспитни групи од 2-3 години | 5 | 83 |
| 3. | Воспитни групи од 3-4 години | 7 | 132 |
| 4. | Воспитни групи од 4-5 години | 6 | 136 |
| 5. | Воспитни групи од 5-6 години | 6 | 136 |
| | Вкупен број на воспитни групи | 30 | 613 |

- **Организација на воспитните групи до 2 годинни**

Воспитната и згрижувачката работа во детските јасли се реализираше врз основа на Програмата за рано учење и развој. Во сите воспитни групи се реализираа програмски активности според годишната програма изработена од страна на педагогот на градинката. Јаслени групи имавме во објектите Сончоглед, Темјанушка 2 и Калинка и во нив беа згрижени вкупно 126 деца на возраст од 8-24 месеци, а се реализирање исклучиво целодневен престој.

Во работата со децата од јаслена возраст се практикуваше индивидуален пристап кој опфакаше:

- Нега на децата
- Превентивно – здравствена заштита
- Воспитно - образовно влијание
- Влијание на сите аспекти на детскиот развој (здравје и моторен развој; социо-емоционален развој; пристап кон учење; комуникација и развој на писменост; когнитивен развој)

Работата со децата до 2 години ја реализираа негователи во соработка со стручниот тим на градинката. Планираните активности се реализираа во насока на поттикнување на социо-емоционалниот, сензо-моторниот и конгнитивниот развој на децата. Содржините кои се реализираа беа одраз на детските интереси, потреби и желби. Преку соодветни игрии се поттикнуваше елементарниот развој на говорот, моторичките способноски, креативните потенцијали и други вештини кај децата.

Во групите до 2 годишна возраст посебно внимание се посветуваше на пасивната и активната гимнастика, музичките активности, сензо-моторните,

перцептивно-сознајните и говорните активности. Имајки ги впредвид развојните можности и потребите на децата од таа возраст, активностите траеја пократко и почесто се менуваа во текот на денот. Активностите се одликуваа со поголема динамика, раздвиженост во просторијата за престој, соодветно на детските потреби за слободно движење низ просторот, комуницирање и манипулирање со предметите од околината.

**Организација на денот во групите за деца од 8 до 24 месеци**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности | До 8.15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8.30 |
| тоалет | 9.00 |
| Реализација на дневно планирање | 9.30 |
| ужинка | 10.00 |
| Слободни игри и престој на воздух | 10.30 |
| Тоалет и подготовка за рушек | 11.00 |
| Ручек | 11.30 |
| Миење раце и подготовка за одмор | 12.00 |
| Пасивен одмор-спиење | 12.30 |
| Ужинка | 14.30 |
| Слободни игри | 15.00 |
| Заминување на децата | До 18.00 |

Посебно внимание посветивме на градење на партнерски однос и соработка со родителите како и јакнење на довербата. За таа цел секојдневно споделувавме на информации за престојот на децата во градинка и активностите во групата, при приемот и испракањето на децата како и преку наменски организираните групни и индивидуални средби со родителите.

Воспитно- згрижувачката дејност во јасли е проследена со љубов, грижа и разбирање, со што физичкиот контакт на негователите со секое дете е одраз на искажана љубов и внимание.

- **Организација на воспитните групи од 2-6 години**

Организацијата на воспитно – образовната и згрижувачката работа со децата од 2-6 годишна возраст се реализираше според Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој, во објектите: Мимоза, Сончоглед, Калинка и Темјанушка 1. Во делот градинка беа опфатени вкупно 487 деца распоредени во 24 воспитни групи. Во секоја група иаше по двајца извршители: воспитувач и негователь.

Во работата со децата секојдневно се реализираа голем број активности, почнувајќи од оние кои се поврзани со животните потреби на децата (нега, исхрана, одмор, движење) и оние активности кои придонесуваат за остварување на воспитно – образовните цели и задачи (насочените активности, слободните активности, игрите, проектни активности, престој на отворено, прослави и други јвни

манифестации...) Играта како основна природна и најважна активност на предучилишното дете беше присутна во секојдневните активности и имаше за цел да го поттикнува психофизичкиот развој на секое дете, да ја збогатува детската личност со нови сознанија и искуства.

Во текот на целата програмска година се настојуваше да се создаде средина пријатна и стимулативна за децата која овозможува постигнување на планраните цели и задачи во фунција на потикнување на раниот детски развој. Внимание се посвети на планирање и реализирање на активности интересни за секое дете кои ја потикнуваа детската љубопитност, инвентивност и креативност Планирањето и реализирањето на воспитно – образовната активности со децата во воспитните групи беше задача и обврска на воспитувачите кои во соработка со стручните работници и соработници на градинката изготвуваа годишно, месечно и дневно планирање.

Воспитно-образовните активности се реализираа во просторија за престој и учење - занимална во која беа организирани центри за учење. Центрите за учење претставуваа посебни делови од занималната во кои играчките и дидактичкиот материјал беа тематски структурирани и кои на децата им овозможуваа да работат на различен начин и при тоа да се реализираат индивидуалните и групните цели за учење. Во секоја занимална беа организирани следните центри за учење и игра:

- литературен центар;
- математички центар;
- центар за игри со конструктивен материјал;
- научен/истражувачки центар;
- уметнички центар;
- центар за игри со улоги, драматизација, куклени претстави;
- центар за изложување на детските творби (во висина на детските очи).

Децата најдобро учат кога се директни учесници во активностите кои се поттикнати од самите нив преку сопствено истражување на околината. Секој центар за учење имаше за цел да им помогне на децата да бидат самостојни и активни во процесот на стекнување на знаења и вештини.

Се настојуваше просторот во занималните да биде пријатен и безбеден за престој на децата, воедно поттикнувачки за игра, истражување и отркривање. Се водеше сметка за поттикнувачкиот фактор кај децата и за таа цел се креираше и подготвуваше креативени дидактички материјали. Децата се поставуваа пред така наречени проблем ситуации кои преку игра учеа да ги решаваат и на тој начин се поттикнуваше детската љубопитност, истрајност, креативност. Знаењата стекнати преку учење по пат на решавање на проблеми се потрајни и повеке применливи.

Организацијата на згрижувачката и воспитно-образовната работа овозможи остварување на воспитно-образовните цели и задачи преку разновидни содржини форми и активности кои придонесуваа за поттикнување на интелектуалниот, физичкиот, социо - емоционалниот развој на децата. и им помагаше на децата да создаваат сопствени претстави и знаења за светот кој ги опкружува Воспитувачите и негователите водеа сметка за холистичкиот развој на децата како и за приоритетите и потребите на детскиот развој. Во планирање на воспитно-

образовните активности се водеше сметка за комплементарна поврзаност и меѓусебна условеност на сите домени, кои беа база на холистичкиот пристап за раното учење и развој на децата.

**Организација на денот во групите за деца од 2 до 4 години**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности | До 8.15 |
| утринска гимнастика | 8.15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8.30 |
| реализација на дневно планирање | 9.00 |
| ужинка | 10.00 |
| реализација на дневно планирање | 10.30 |
| прошетки набљудувања и престој на воздух | 11.00 |
| средување на занималната и подготовка за ручек | 11.30 |
| ручек | 12.00 |
| Пасивен одмор-спиење | 12.45 |
| Ужинка | 14.45 |
| Слободни игри | 16.30 |
| Заминување на децата | До 18.00 |

**Организација на денот во групите за деца од 4 до 5 години**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности | До 8.15 |
| утринска гимнастика | 8.15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8.30 |
| реализација на дневно планирање | 9.00 |
| ужинка | 10.00 |
| реализација на дневно планирање | 10.30 |
| прошетки набљудувања и престој на воздух | 11.15 |
| средување на занималната и подготовка за ручек | 12.00 |
| ручек | 12.15 |
| пасивен одмор-спиење | 12.45 |
| ужинка | 14.30 |
| реализација на дневно планирање | 15.00 |
| слободни игри | 16.45 |
| средување на занималните | 17.30 |
| заминување на децата | До 18.00 |

**Организација на денот во групите за деца од 5 до 6 години**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности | До 8.15 |
| утринска гимнастика | 8.15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8.30 |
| реализација на дневно планирање | 9.00 |
| ужинка | 10.00 |
| реализација на дневно планирање | 10.30 |
| прошетки набљудувања и престој на воздух | 11.15 |
| средување на занималната и подготовка за ручек | 12.00 |
| ручек | 12.15 |
| пасивен одмор-спиење | 12.45 |
| ужинка | 14.30 |
| реализација на дневно планирање | 15.00 |
| слободни игри | 16.45 |
| средување на занималните | 17.30 |
| заминување на децата | До 18.00 |

Превентивната здравствена заштита се реализираше преку следење на децата и едукативни работилници. Здравствената состојба на децата беше под постојан надзор на воспитувачот и негователот од групата. Во грижата за здравјето и физичкиот развоја на децата важен сегмент е и исхраната. Во текот на целата година се настојуваше да се набавуваат свежи и квалитетни продукти, а при изготвување на листите за јадење се почитуваа нормативите за исхрана дадени од министерството како и сезонската понудата на пазарот. Посебно внимание се посветуваше на разновидноста на листата на исхрана која се менуваше според годишното време и понудата на свеж зеленчук и овошје. Храната се подготвуваше во главната кујна во објектот Калинка, според хасап стандарди, а потоа се дистрибуираше во чајните кујни во останатите објекти. Во текот на денот децата добиваа четири оброци: доручек, ручек и две ужинки, а за време на оброците се работеше на формирање на културно - хигиенски навики кај децата.

За унапредување на физички раст и развој на децата се организираа активности и слободни движења на отворен простор со користење на природните фактори секогаш кога временските услови тоа го дозволуваа.

## II.ПРОГРАМА ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

Во рамките на годишната воспитно – образовната програма се остваруваа и итегрираа следните програми:

- **Програма за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој**
- **Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот**
- **Програма за едукација на децата од предучилишната возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна**
- **Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**

**Програмата за рано учење и развој** се базира на Стандардите за рано учење кои се основа за концепирање на целокупната предучилишна воспитно-образовна дејност. Програмата ги опфаќа современите аспекти на раното учење и грижата за малите деца се базира врз меѓусебната поврзаност на различните развојни домени ( физичкиот, социо-емоционалниот, развој на јазикот и конгнитивните капацитети) во една холистичка целина.

**Принципи на програмата за рано учење и развој:**

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на Мултикултурализам
- Принцип на демократичност
- Принцип на доминација на игра и прицип на поврзување со животната реалност
- Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување
- Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација
- Принцип на целосност и интегритет
- Принцип на отвореност на воспитно - образовниот процес
- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој
- Принципнаразвојно-процесенпристап
- Принципнакритичковреднување
- Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот

**Програмата за рано учење и развој на децата со пречки во развојот** од предучилишна возраст се однесуваше на деца кои покажуваат доцнење во развојот и се вклучени во редовните воспитни групи во градинката. Програмата опфака едукативен и рехабилитационен дел. Во нашата установа се одвиваше едукативниот дел кој опфака воспитание и образование на деца со пречки воразвојот, се базира на редовната програма модифицирана спрема можностите и потребите на децата. Посебно внимание се посветува на детекција и рана интервенција на децата со посебни потреби, соработка со родителите и планирање на активности со цел поттикнување на нивниот развој. Целта на програмата е адаптацијата, социјализацијата во воспитните групи каде што престојуваат и

развивање на свесност кај останатите родители и деца за инклузија на овие деца во општеството .

**Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна,** беше со цел децата од најрана возраст да формираат здрави навики на исхрана, а се реализираше преку активности и едукативни работилници со кои децата се запознаваа и учеа за здравиот начин на исхрана и формирање на здрави животни навики. Во рамки на програмата оваа година го одбележавме Денот на здравата храна како и Денот на здравјето.

**Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем** ги опфаќаше децата, родителите, воспитно- згижувачкио и техничкиот персонал со цел подигање на свеста за заштита и грижа за животната средина и природата. Значаен дел од активностите се однесуваа на селектиране и рециклирање на отпадот каде децата стекнуваа навики за почиста и здрава средина за учење и игра. Оваа програма придонесува за градење на посовесни идни генерации. Во рамки а програмата ги одбележавме Денот без автомобили со еко пораки и игри на плоштадот во Автокомада; Денот на водите преку креативни работилници со деца и родители; Денот на планетата Земја преку едукативни работилници „Зошто треба да рециклираме“

Во текот на реализација на програмата остварена е соработка со повеќе организации и институции од кои би ги издвоилек компанијата Сунилекс која ни достави материјали за реализација на едукативни работилници со наслов „Учиме за собирање и рециклирање на отпадното масло“ и во текот на целата година во соработка со родителите собиравме отпадно масло.

**Програма за социјална кохезија и културен дијалог, имплементација на сликовницитеод едицијата „Размислувај еднакво“**

Посебен дел од програмата Основи за социјалната кохезија и културен дијјалог е имплементација на сликовниците од едицијата „Размислувај еднакво“. Со реализација на сликовниците се започна во месец септември и истите беа задолжителни во воспитните групи од 5-6 години во сите објекти. Сликовниците се реализираа со однапред договорен акционен план кој беше усогласен со тематското планирање на воспитните групи. Секој месец се реализираат по 3 сликовници, а секоја сликовница се работеше во три дена.

Обработката на сликовниците од едицијата Размислувај еднакво придонесе кај децата да се развива самодовербата и самопочитта, децата изградија позитивно чувство за својот идентитет и се поттикнаа да ги препознаваат, именуваат и вреднуваат сличностите и разликите помеѓу нив. Сликовниците ги поттикнаа децата да ја ценат индивидуалноста и да увидат дека секое дете е посебено, единствено и различено и нема никој друг како него. Децата станаа подобри слушатели за потребите на другите, учеа за љубезноста и учеа како да ги почитуваат туѓите идеи, мисли и чувства, Сликовниците придонесоа децата да разбрат дека нивните постапки на љубезно однесување предизвикуваат позитивен ефект кај другите но и позитивни чувства кај самите себе. На тој начин кај децата се поттикнуваа да бидат полјубезни и да им помагаат на другите.

Посебен придонес е што преку обработка на сликовниците децата учат да ги препознаваат и именуваат чувствата кај себе и кај другите и да зборуваат за нив.

Научија дека чувствата се менуваа, се запознаа со техники за смирување, научија дека чувствата можеме да ги изразиме и преку боите, а најважно од се е дека треба да се почитуваат чувствата на другите.

Преку сликовниците истражувавме и за пријателство со оние кои се различни од другите а преку разговор и бура на идеи децата изнаоѓаа решенија како сите да бидеме вклучени во игрите. Сликовниците ги запознаваа децата за важноста на планетата Земја, заштите и штедење на нејзините ресурси. Научивме и дека сите живи суштества се подеднакво важни и меѓусебно поврзани.

**Програма за Вешто родителство**

Програмата за Вешто родителство се реализира во градинката од 2022 година, а нашата градинка заедно со уште неколку други градинки од Македонија е вклучена во нејзина реализација преку УНИЦЕФ и МТСП. Ако се земе во предвид дека градинката најчесто ја посетуваат деца чии родители се во работен однос и децата се згрижуваат во градинка додека родителите се на работа, за корисниците на нашите услуги најмногу одговараше да се реализира онлајн верзијата на програмата за вешти родители.

Програмата за вешто родителство беше реализирана од страна на двајца фасилитатори педагогот Маринела Бошева и воспитувачот Билјана Лотеска кои ја реализираа онлајн верзијата од програмата за вешти родители на мали деца, во периодот од февруари до април во траење од 8 сесии. Секоја од осумте сесии содржеше:

- Активност за родителите;
- Вежби за релаксација и самосвесност;
- Фидбек за видео снимките;
- Активности фокусирани на децата и интеракцијата родител -дете;
- Насоки активности „Да се обидеме“ тоа се предлог активности кои родителите можат да се обидат да ги сработат дома со своите деца;

Целта на оваа програма за вешто родителство е подобрување на родителските компетенции, споделување на добри искуства и практики при воспитување и растењето на малите деца, како и меѓусебна поддршка. Родителите треба да прифатат дека родителството не е лесно и дека никој не е постојано совршен. Во ред е понекогаш да се прават грешки затоа што совршени родители не постојат. Нашата цел е да се поддржиме едни со други во нашата најважна и најодговорна животна задача. Градинката како втор дом на децата е секогаш отворена да помогне да се развива добра интеракција родител- дете- градинка и е дел од нивниот раст и развој. Преку градење на партнерски односи со родителите изнаоѓаме начини да ја зголемиме играта кај децата, да ја поттикнеме нивната самостојност, љубопитност, креативност, но и да бидеме нивната сигурна база.

**Изборни активности:** Како надополнување на Годишната програма за рабоата и планираните програмските активности беа понудени дополнителни изборни активност чија програма се реализираше два пати неделно со децата од 3-6 години. Изборните активности се реализираа врз основа на искажаниот интерес од страна на децата и родителите и истите беа реализирани од страна на надворешни стручни соработници. Оваа програмска година се реализираа следните изборни активности:

- мала балетска школа
- мала фудбалска школа

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РАЗВОЈНИ ДОМЕНИ




## ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ

Овој модел на работа нуди широк спектар на интересни теми и содржини кои што помогнаа да се реализираат планираните развојни цели и задачи од сите развојни домени притоа водејќи сметка за интересите, можностите и способностите на децата. Тематското планирање беше значајно за:

- Создавање на стимулативна и креативна средина за учење;
- Позитивна работна клима;
- Активно учество на децата;
- Можност за изразување на индивидуалните способности;
- Висок степен на интеракција;
- Примена на различни методи и форми на работа;
- Користење на повеќе извори на знаење;
- Тимска работа;
- Проширување на облиците на соработка со родителите.

Тематското планирање овозможуваше да се истакне на индивидуалноста на секое дете, насочување на децата во изборот на центрите за игра и вклучување на семејствата. Тоа даваше можност до израз да дојде креативноста на воспитувачот, како и задоволување на интересите и потребите на децата. Планираните теми се реализираа според предвдената динамика во годишната програма, а воспитувачите имаа флексибилност во определување на содржините и времетраењето на реализацијата на одредена тема во зависност од итересите и можностите на децата во групата.

**Реализација на тематското планирање за воспитните групи од 2-4 години**:

| Временски период на реализација на тематското планирање | ТЕМА | Разгранување на темата | С О Д Р Ж И Н И |
|---|---|---|---|
| **Септември:** | **АЈДЕ ВО ГРАДИНКА** | **1. Мојата градинка** | -добредојде во градинка<br>-ајде да се запознаеме<br>-мојата градинка (запознавање со градинката)<br>-занималната,центрите за игра, кој што работи..)<br>-патот до градинка<br>-ајде да се поздравиме<br>-моите учителки<br>-моите другарчиња<br>-бон тон правила за културно однесување во градинка |
| | | **2.Моите другарчиња** | - 8 ми септември роденден на мојата татковина Р.С.Македонија<br>-ајде да другаруваме<br>-календар на роденденте<br>-играме другаруваме и се почитуваме<br>-албум на нашите рачиња |
| | | **3.Што треба да се прави за да бидеме здрави** | -културно-хигиенски навики во градинка<br>-рачиња си мијам добро за да спијам<br>-правила за здраво детсво<br>-22 септември ден без автомобили<br>-играме, спортуваме и се забавуваме<br>-колку пораснавме и што научивме во септември |
| **Октомври Ноември:** | **ЕСЕНСКА СКАЗНА НА ЧУВСТВАТА** | **1.Детска недела** | -секое дете има право на...<br>-пееме за детските права<br>-ликовна работилница<br>-ајде да бидеме хумани<br>-спортуваме |
| | | **2.Есенска слика** | -промените во природата<br>-какво е времето во есен<br>-есен во паркот и шумата<br>-животните во есен<br>-птиците во есен<br>-есенски звуци |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -шумот на лисјата<br>дрвјата во есен<br>-градината во есен<br>-есенско садење<br>-културно хигиенски правила во двор, во градината на улица |
| | | **3.Есенски плодови** | -овошни плодови<br>-зеленчукови плодови<br>-како се јадат плодовите<br>-ден на здрава исхрана 15.10 |
| | | **4.Есенски подготовки за во зима** | -витамини во тегла<br>-подготвуваме зимница<br>-есенски подготовки на:<br>животните во доцна есен<br>инсектите во доцна есен<br>-игри и прошетки<br>-есенски крос<br>-да ја испратиме есента |
| | | **5.Истражуваме и откриваме за моето тело и моите чувства** | --јас пред огледало<br>-што можат моите раце<br>-што можат моите нозе<br>-што имам на главата<br>-моите сетила<br>-играме спортуваме<br>-коцка на чувствата (среќа, тага, страв, лутина)<br>-колку пораснавме и што научивме во октомври и ноември |
| **Декември – Јануари:** | **СНЕЖНА БАЈКА** | **1.Промени на времето во зима** | -добредојде на зимата<br>-временски промени во зима (студ, мраз, снег)<br>-на зимата се радуваме топла облека си облекуваме |
| | | **2.Здрави навики во зима** | -топло чајче пијам<br>-компот или чај<br>-топло шалче носам на северко му пркосам |
| | | **3.Новогодишни семејни радости радости** | -новогодишни подготовки во градинка и мојот дом<br>-новогодишни украси<br>-да ја накитиме елката<br>-писмо за Дедо мраз<br>-новогодишна честитка<br>-Дедо мраз на гости кај нас |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **4.Празнувања во мојот дом** | -Семејни празнувања: Коледе, Бадник, Божиќ, Василица, Водици<br>-мојот дом<br>-моето семејство<br>-кој што работи во домот<br>-бон тон правила во домот<br>-приказните на баба и дедо |
| | | **6.Детски радости во зима** | -игри во зима<br>-птиците во зима<br>-животните во зима |
| **Февруари:** | **СВЕТОТ НА ЖИВОТНИТЕ** | **1.Откриваме и учиме за...** | -животните од селскиот двор (фарма)<br>-корист од домашните животни<br>-домашни миленици<br>-шумски животни<br>-животни од топлите краеви<br>-животни од студените краеви<br>-воден свет<br>-животни од ЗОО<br>-животните во приказните<br>-бон тон правила на однесување кон животните<br>-културно хигиенки правила при контакт со животни |
| **Март:** | **ПРИРОДАТА СЕ БУДИ** | **1.Пролетни празнувања** | 1ви март-мартинки<br>8ми март- денот на мајката<br>21ви март – ден на пролетта<br>22ри март – ден на водата |
| | | **2.Пролет** | - весници на пролета<br>- временски промени во пролет<br>- развигорчето ја буди природата<br>- будење на животните<br>-будење на инсектите<br>- птиците преселници се враќаат од југ<br>-бои, звици, мириси во пролет<br>-истражуваме и откриваме за градините во пролет<br>-култлтурно хигиенски навики во пролет |
| **Април - Мај:** | **ПАТУВАМЕ ИСТРАЖУВАМЕ** | **1.Празнување** | 1ви април ден на шегата<br>22ри април ден на планетата Земја<br>-Велигден<br>-15ти мај – ден на семејството |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **2.Сувоземен сообраќај** | -сообраќајни средства<br>-каде се движат возилата<br>-како треба да се движиме<br>-семафор<br>-што е тоа крстосница<br>-сообраќаен полицаец |
| | | **3.Воден сообраќај** | -превозни средства по вода<br>-пристаниште<br>-морнар, капетан |
| | | **4.Воздушен сообраќај** | -превозни средтва<br>-аеродром<br>-пилот стујардеса |
| | | **5.Кога ќе пораснам сакам да бидам...** | -професијата на моите родители<br>-што сакам да бидам кога ќе пораснам: лекар, пекар, учител, полицаец, балерина... |
| | | **6.Мали истражувачи на природата** | -боите на виножитото<br>-мирисот на цвеќињата во мај<br>-звуците на инсектите<br>-да ги запознаеме инсектите<br>-жуборот на поточето<br>-птиците се вратија<br>-нашата градина во мај<br>-се грижиме за природата<br>-како расте дрвото<br>-бон-тон правила во природа на излет на прошетка |
| **Јуни јули август:** | **ЛЕТНИ РАДОСТИ** | **1.Летен албум** | -Сладолед<br>-прво пролетно овошје цреши јаготки<br>-овошна салата<br>-01.06 – меѓународен ден на детето<br>15.06 – ден на таткото |
| | | **2.Летен споменар** | -креативни игри<br>-истражуваме и откриваме<br>-традиционални игри во двор<br>-ликовна колонија<br>-водени лудории<br>-музички игри<br>-излети и игри во природа |
| | | **3.Летни приказни** | -ајде да раскажеме приказна<br>-колку пораснавме што научивме<br>-портрет на нашата група |

**Реализација на тематското планирање за воспитните групи од 4-6 години:**

| Временски период на реализација на тематското планирање | ТЕМА | Разгранување на темата | С О Д Р Ж И Н И |
|---|---|---|---|
| Септември: | МОЈАТА ТАТКОВИНА | 1.Повторно во градинка | -мојата градинка<br>-ајде да се поздравиме, играме и другаруваме<br>-колку сме пораснале |
| | | 2.Мојата татковина слави | -мојата татковина<br>-обележја на мојата татковина<br>-знаме и граб<br>-химна<br>8ми септември роденден на мојата татковина Р.С.Македонија |
| | | 2.Убавините на мојата татковина | -Патуваме и истражуваме за убавините на мојата татковина: планини, реки, езера, градови, села<br>-моето родно место<br>-убавините на мојата населба Гази Баба<br>-се грижиме за нашата татковина |
| | | 3.Играј, играј | -ден на игри со играчки<br>-ден на игри без играчки<br>-мојата омилена играчка<br>-моето омилено другерче<br>-од што се направени играчките<br>-изработуваме играчки од природен материјал |
| | | 4.Еко правила за… | -зошто треба да ја чувам природата<br>-зошто треба да штедам вода и енергија<br>-ајде да селектираме и рециклираме<br>-еко правила за поздрава планета<br>-еко постер со правила за поздрава околина<br>-излети, прошетки и игри во природа<br>09ти септември – Ден на бабите и дедовците<br>20ти септември – Ден на пензионерите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 22ри септември – Ден без автомобили |
| Октомври: | ЕСЕНТА ВО МОЈОТ КРАЈ | 1. Детска недела | -мото – правата на децата<br>-ликовна работилница – постер пораки<br>-театарска претстава<br>-спортуваме се забавуваме<br>-хуманитарна акција од дете за дете<br>-пееме за детските желби и права |
| | | 2.Есентта промени носи | -какво е времето во есен (ветер дожд магла, слана)<br>-птици преселници<br>-есен во паркот и шумата<br>-листопадни и зимзелени дрвја<br>-животните во есен<br>-игри и прошетки во есен<br>-есенски крос |
| | | 3.Есенски дарови | -овошни плодови<br>-зеленчукови плодови<br>-како се јадат плодовите<br>-подготвуваме зимница<br>-есенско садење во нашата градина<br>-работа на поле во есен<br>05ти октомври- Светски ден на учителот<br>15ти октомври -Светски ден на миење раце и на пешачењето;<br>16ти октомври- Ден на здравата исхрана;<br>31ви октомври- Светски ден на штедењето<br>-празнуваме 11ти и 23ти октомври; |
| Ноември: | МОЕТО ТЕЛО МОИТЕ ЧУВСТВА | 1.Го сакам и чувам моето тело | -јас пред огледало<br>-истражуваме и откриваме:<br>што може моето тело<br>моите сетила<br>што имаме во нашето тело<br>што ни е потребно за да растеме<br>-како се грижам за моето здравје (хигиена, спорт, правилна исхрана) |
| | | 2.Буква на чувствата | -ги препознаваме и именуваме чувствата<br>-среќен<br>-тажен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -лут<br>-исплашен<br>- што е љубов<br>-дали чувствата може да се измерат<br>-календар на чувствата<br>14ти ноември -светски ден на љубезноста<br>13ти ноември - Скопје слави роденден<br>27ти ноември -Тиквијада |
| Декември – Јануари: | СНЕЖНА ЗИМА | 1.Истражуваме и откриваме за... | -промените на времето во зима<br>-облека која ни е потребна во зима<br>-како се загреваат домовите<br>-како настанува мразулец<br>3ти дкември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби<br>15ти декември – Светски ден на чајот |
| | | 2.Истражуваме и откриваме како тече времето | -часовник<br>-ден – ноќ<br>-денови во неделата<br>-месеци во годината<br>-годишни времиња |
| | | 3.Новогодишни радости | -новогодишни подготовки во градинка и мојот дом<br>-новогодишни украси<br>-да ја накитиме елката<br>-писмо за Дедо мраз<br>-новогодишна честитка<br>-Дедо мраз на гости кај нас |
| | | 3.Семејни празнувања | -Семејни празнувања: Коледе, Бадник, Божиќ, Василица, Водици мојот дом<br>-членовите на моето семејство<br>-моето семејно стебло<br>-кој што работи во домот<br>-бон тон правила во домот<br>-нашата фолкрорна традиција (песни ора, народни носии)<br>- приказните на баба и дедо |
| | | 4.Детски радости во зима | -зимски спортови<br>-птиците во зима<br>-животните во зима<br>18.01 – светски ден на снешкото<br>26.01 – светски ден на образованието за заштита на животната средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Февруари: | СВЕТОТ НА ЖИВОТНИТЕ | 1.Учиме, истражуваме и се грижиме за... | -животните од селскиот двор (фарма)<br>-корист од домашните животни<br>-миленици<br>-шумски животни<br>-животни од џунглата<br>-животни од студените подрачја<br>-воден свет<br>-животни од ЗОО<br>-животни од минатото<br>-животните во приказните<br>-бон тон правила на однесување кон животните<br>-културно хигиенки правила при контакт со животни<br>01ви февруари- светски ден на читањето на глас<br>20ти февруари – светски ден љубов кон миленикот<br>21ви февруари-меѓународен ден на мајчиниот јазик<br>27ми февруари- меѓународен ден на поларната мечка |
| Март: | ПРОЛЕТНО БУДЕЊЕ | 1.Природата се буди | -весници на пролета<br>- временски промени во пролет<br>-развигорчето ја буди природата<br>-будење на животните и инсектите<br>-птиците преселници се враќаат од југ |
| | | 2.Работа во градината во пролет | -работа во зеленчуковата градина<br>-работа во овошната градина<br>-цветната градина во нашиот двор<br>-ботаничка градина<br>-излети и игри во природа<br>-културно хигиенски навики при работа во градината |
| | | 3.Истражуваме и откриваме за... | истражуваме и откриваме за:<br>-водата<br>-воздухот<br>-почвата<br>-природата<br>-бои, звуци, мириси, на природата<br>-дрвото како живеалиште<br>-дрвото низ годишните времиња<br>-дрвото чувар на нашето здравје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -како да спасиш дрво<br>1ви март-мартинки<br>2ри март – светски ден на книгата<br>8ми март- денот на мајката<br>18ти март – светски ден на раскажувањето<br>21ви март – ден на пролетта и ден на шумите<br>ден на лицата со Даунов синдром<br>22ри март – ден на водата<br>27ми март – светски ден на театарот |
| Април: | ПАТУВАМЕ, ПАТУВАМЕ ЗА ПРОФЕСИИТЕ ИСТРАЖУВАМЕ | 1.Чудо невидено | 1ви април ден на шегата<br>-што би било кога би било<br>-игра на смешни зборови<br>-најсмепната приказна која ја знам<br>-смешна игра<br>-искривени слики |
| | | 2.Сувоземен сообраќај и професиите на луѓето | -сообраќајни средства<br>-сообраќајни знаци<br>-кртосница<br>-специјални возала<br>-сообраќаец, доктор, мед сестра, пожарникар, такси возач<br>-железнички сообраќај – машиновозач, кондуктер |
| | | 3.Воден сообраќај и професиите на луѓето | -превозни средства по вода и под вода<br>-пристаниште бродоградилиште<br>-морнар капетан |
| | | 4.Воздушен сообраќај и професиите налуѓето | -превозни средтва<br>-аеродром<br>-пилот стујардеса<br>-вселенски летала - космонаут |
| | | 5.Професии и занаети | -Кога ке пораснам сакам да бидам: лекар, медицинска сестра, стоматолог, учителка, балерина.<br>2ри април ден за поддршка на лицата со аутизам<br>7ми април – светски ден на здравјето и светски ден за борба со перници<br>22ри април ден на планетата Земја<br>29ти април -светски ден на танцот<br>-велигден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мај: | ВСЕЛЕНАТА ВО МАЈ | 1.Откриваме и истражување за вселената и живиот свет | -сончев систем<br>-планети<br>-месечина, ѕвезди<br>-сонцето како извор на светлина и топлина<br>-нашата планета Земја<br>-размножување:<br>од семка до плод<br>од јајце до пиле<br>од клетка до бебе |
| | | 2.Боите на мај | -боите на виножитото<br>-танцот на инсектите<br>-мирисот на цвеќињата<br>3ти мај -ден на сонцето<br>15ти мај – ден на семејството<br>24ти мај – ден на градинката. |
| Јуни јули август: | ЛЕТЕНИ ЛУДОРИИ | 1.Летен албум | 1ви јуни – меѓународен ден на детето<br>-Сладолед<br>-прво пролетно овошје цреши јаготкиа<br>-овошна салата<br>8ми јуни – светски ден на најдобри другари<br>24ти јуни – ден на штрковите |
| | | 2.Летен споменар | -креативни игри<br>-истражуваме и откриваме<br>-традиционални игри во двор<br>-ликовна колонија<br>-водени лудории<br>-летни спортови<br>-музички игри<br>-излети и игри во природа<br>6ти јули – ден на бакнежот<br>20ти јули – ден на сладоледот |
| | | 3.Летни приказни | -ајде да раскажеме приказна<br>-колку пораснавме што научивме<br>-портрет на нашата група |

**ПРОЕКТИ**

| П р о е к т | Ц е л и | Реализирани активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **„Воведување почит кон различностите и мултикултурализам во раниот детски развој“** | Децата да научат да ги прифатат и да ги разберат сличностите и разликите кај другите;<br>Да развијат самодоверба и сигурност во себе. | -Се обработија приказните за Дружината Мела преку кои се промовира мултиетичност, почитување на лицата со телесна попреченост, како и почитување на различностите по однос на способности, вештини, психички и физички особини.<br>-Децата се поттикнуваа да размислуваат и да ги прифаќаат сличностите и разликите како и развивање на емпатија.<br>-Запознавање и почитување со традицијата и обичаите на различните етнички заедници во нашата татковина, децата да станат општествени актери во градење на мирот. | **Септември 2022– Јуни 2023 год.**<br><br>Учесници децата од постарите воспитни групи од 5-6 год. од сите објекти |
| **„Од дете за дете“** | Хуманитарни акции од дете за дете преку која децата ќе се учат на хуманост и солидарност | -Во рамки на Детската недела се реализираше хуманитарна акција „Од дете за дете“ Акцијата се состоеше во донација на прехранбени продукти и облека кои во соработка со Црвен крст Општина Гази Баба беа поделени на ранливите категории семејства во општината;<br>-Хуманиратна акција „Подари книга“ Родителите и децата донираа книги како билет за театарската претстава „Трите прасиња“ кои книги потоа беа донитани на библиотечното катче на Детската клиника во Скопје, на оделот за онкологија.<br>-Преку хуманитарните акции кај децата се развиваше на емпатија и хуманоста од најмала возраст; | **Септември 2022 – Јуни 20223год.**<br><br>Учесници децата од сите воспитни групи |
| **„Рециклирање со имагинација“** | -Едукација надецата за бенефитите од селектирање и рециклирање на | - Децата учеа за значењето на рециклирање на различните видови отпад за животната средина; | **Септември 2022 – Јуни 2023 год.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | отпадот и развивање на<br>лична одговорност за заштита на животната средина. | -Се запознаваа и учеа за материјали кои може да се рециклираат;<br>-Учество во наградниот конкурт Trash for art;<br>-Учевме за селектирање и рециклирање на отпадните батерии;<br>- Децата се поттикнуваа на креативност, љубопитност, трпеливост, истрајност.<br>- Децата учеа и стекнуваа здрави животни навики. | Учесници децата од постарите воспитни групи од 3-6 год. од сите објекти |
| **„Моја хигиена моја навика“** | -Поттикнување на добри хигиенски навики кај децата и градење на одговорност и грижа за самиот себе и за другите | - Преку игри, активности, едукативни работилници и постери децата учеа како да го зачуваме нашето здравје и да се заштитиме од вируси;<br>-Стекнување на секојдневни рутини на културно хигиенските навики при користење тоале;<br>- Се развиваа културно хигиенски навики за време на оброк;<br>-Се развиваа културно хигиенски навики при користење на ликовните материјали и други дидактички средства;<br>-Се развиваа културно хигиенски навики при контакт со животни<br>- Се развиваа културно хигиенски навики при прошетки, игри во двор. | **Септември 2022 – Јуни 2023 год.**<br><br>Учесници децата од постарите воспитни групи од 2-6 год. од сите објекти |
| **„Учиме за собирање и рециклирање на отпадно масло“** | -Поттикнување на еколошката свест кај децата од предучилишната возраст | -Едукативни работилници на кои децата учеа за рециклирањето на отпадното масло и формирање на здрави животни навики преку преку наменска подготвена сликовница;<br>-Се поттикнуваше грижлив и одговорен однос кон природата;<br>-Развивање на еколошка свест;<br>-Вклучување на децата, родителите и вработените во проектот преку селектирање на отпадно маслово своите домови. | **Септември 2022– Јуни 2023 год.**<br><br>Учесници децата од постарите воспитни групи од 4-5 год. од сите објекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **„Во светот на инсектите“** | Запознавање со некои претставници на инсекти,нивните сличности и разлики,животен циклус(раѓање,растење,размножување итн.),облици на однесување,движење ,звуци(комуницирање меѓу нив),место на живеење,корист и однос на човекот кон истите<br>Поттикнување на родителите за вклучување во воспитно образовните активности и градење на партнерски односи на релација дете-родител-воспитувач | **Октомври 2022** реализирани се следните активности:<br>-Говорна игра ,,Во светот на мравките,,<br>-Манипулативна игра ,,Мравјалник,,<br>- Говорна игра(стихотворба) Буба Мара<br>-Дидактичка игра ,,Мравки,,<br>-Ликовна игра ,,Мравки,,<br>-Игри во двор ,,Пронајди мравки,,<br>- Дидактичка игра ,,Г-ѓа Пајак и нејзината забава,,<br>- Моторичко подвижна игра ,,Пајакова мрежа,,<br><br>**Ноември 2022** – децата имаа<br>-Посета на Природо Научен Музеј<br>-Креативна работилница со родители(родителите подготвуваат дидактички материјали на тема ИНСЕКТИ.<br><br>**Декември 2022 -** реализиравме<br>-Ликовна игра -Го мериме времето(изработка на часовник со лик на инсект)<br>-Математичка игра -внатре-надвор<br>-Математичка игра – Множества по родови<br>-Математичка игра -Воведување на бројот 2 (два)<br><br>**Февруари 2023** - Драмска игра – Штурецот и мравката<br><br>**Март 2023** - Креативна игра – Мартинки (работилница со родители)<br>-Музичко подвижна игра ,,Ајде станете,,<br>-Говорна игра-За што служат осите<br>-Театар од деца за деца – Штурецот и мравката<br>-Театар од деца за родители – | **Септември 2022 – Мај 2023 год.**<br><br>Учесници децата од постарите воспитни групи од 5-6год. од објектот Темјанушка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Штурецот и мравката<br>-Маскенбалска забава – Сите деца со маска на инсект(соработка со родители)<br><br>**Април 2023**<br>-Велигденска работилница – Бојадисување јајца и велигденски кишнички<br>-Интерактивна работилница – Како да се заштитиме од инсекти (соработка со родител – лекар)<br><br>**Мај 2023**<br>-Меѓународен ден на пчелата - Мот.подв.игра – Летот на пчелите<br>-Обработка на сликовница -Лара Жолтата Буба Мара<br>-Драмска игра – Шарената пеперутка<br>-Ликовна игра – Пеперутки - Меѓународен ден на пеперутката | |
| **„Растеме со музика учиме низ игра“** | Негување и разбој на љубов кон музиката и доживување на истата со сите сетила | С**ептември 2022 -** реализирани активности: слушање на химна, запознавање и изучување на македонско оро и македонски народни песни со различна тематика и ритам.<br><br>О**ктомври 2022 -** децата се запознаа со повеќе видови вокално-инструментална музика, и песни од детски фестивали со есенска тематика согласно годишното време.<br><br>Н**оември 2022** - децата се запознаа со музика во бавно, брзо и умерено темпо, и по повод испраќање на есента се реализира есенска приредба „Шареното чудовиште“ каде децата се претставија со движења согласно музиката од „Пинк пантер“, и изведоа 2 народни македонски песни со различна тематика (љубовна, | **Септември 2021 – Јуни 2022 год.**<br><br>Учесници децата од постарите воспитни групи од 5-6год. од објектот Калинка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | патриотска) и пееја и го следеа ритамот.<br><br>**Декември 2022** - децата се запознаа со хип-хопот како музички правец и се реализира новогодишна изведба на 30ти декември.<br><br>**Јануари 2023 -** децата се запознаа со народни песни поврзани со празници и обичаи.<br>**Март2023 -** децата се запознаа со основните музички поими како виолински клуч, ноти и петолиние.<br><br>**April 2023** - децата се запознаа со дел од гудачките инструменти виолина и виолончело (ученици гости од ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј"), исто така децата се запознаа со професијата музичар каде гостин ни беше познатата македонска пејачка, композитор, виолинист и текстописец Андријана Јаневска.<br><br>**Мај 2023** - децата се запознаа со класична музика, играа валцер, исто така децата се запознаа со македонската народна носија и го играа изученото оро.<br>Се реализираше работилница во која родителите изработија детски музички инструменти и изведба на класична музика со истите.<br><br>**Јуни 2023** – проектор беше презентиран „Растеме со музика, учиме низ игра" пред родителите. | |
| **„Во светот на куклите"** | Запознавање со светот на куклите како средство за играње и средство | **Октомври 2022** - децата се запознаа со сценските кукли и нивната поделба, материјалите од кои се изработени и сл. Исто | **Октомври 2022 – Мај 2023 год.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за искажување на сопствените емоции, желби и потреби | така изработивме и театарче и театар на сенки од картонска кутија и платно.<br><br>**Ноември 2022** - се запознавме и изработивме кукли за на рака направени од чорапи. Куклите им беа достапни на децата и тие играа со нив во слободните активности. Направивме кукли за на прсти за приказните: Црвенкапа, Златка и трите мечки, Трите прасиња<br><br>**Декември 2022** - децата изработија кукли од пластични лажици употребувајќи волница, маркер, сатенски ленти. Исто така ја проследија куклена претстава „Палтенцето на малото еже“<br><br>**Јануари 2023** - децата се запознаа со кукли марионети, како се изработени, како функционираат, изработивме марионети на куче, маче, лисица, штрк од тутурутки од тоалетна хартија. Децата ја драматизираа басната „Штркот и лисицата“<br><br>**Февруари 2023** - изработивме кукли за на рака од филц а потоа ја проследија куклената претстава „Мачето што го заборавило мачешкиот јазик“ во која се употребени куклите кои ги израбитивме.<br><br>-Децата се запознаа и со театар на сенки, како функционира.Следеа театар на сенки „Животните од сликовница“ која ја реализиравме заедно со колешката од соседната група.<br><br>- Исто така направивме и кукли за на прст од филц и хартија на тема диви животни и морски свет | Учесници децата од постарите воспитни групи од 5-6год. од објектот Сончоглед |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | и ја реализиравме куклената претстава „Октоподот Оки“<br><br>**Март 2023** - изработувавме апликации на стапче на тема инсекти, изработени од хартија и истите ги искористивме за повеќе драматизации:<br>-Ајде станете, Првиот лет на пчелите , Претпазливата гасеница<br>-Изработивме и апликации за театар на сенки „Пријателство“<br><br>**Април 2023** - изработивме кукли за реализација на претставата „ Хартеса, Платнеса и Кесенка“ по повод 22ри Април-Ден на планетата земја. Куклите ги изработивме од хартија, најлон и платно. Додека јас го читав текстот децата драматизираа<br><br>**Мај 2023** - се запознавме со гињол куклите, од што се изработени, начин на изработка и изработивме гињол кукла на дедо. Проектот е презентиран пред родителите. | |
| **„Театарче Детска радост“** | Стекнување на елементарни сознанија за театарската и драмска уметност и магијата на создавањето и прикажувањето на театарските претстави | **Октомври 2022** – По повод Недела на детето децата ја проследија театарската претсава „Имам право на другарство“ – стручна служба<br><br>**Декември 2022** – По повод 3ти декември меѓународниот ден на лицата со посебни потреби децата ја проследија куклената претстава „Палтенцето на малото Еже - стручна служба<br>-Театарска претстава Трите прасиња – театар родители<br><br>**Март 2023 –** По повод меѓународниот ден на раскажувањето се реализираше претсттава раскажување со | **Октомври 2022 – Април 2023 год.**<br><br>Учесници децата од постарите воспитни групи од 2-6 год. од сите објекту |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | пантомима „Малото цврено лаленце„ – воспитен тим објект Сончоглед<br>-Театарска претстава од деца за деца „Штурецот и мравката“ – објект Темјанушка<br><br>**Април 2023** – По повод денот на денот на театарот децата ја проследија театарската претстава „Другарување“ – група Триангал<br>-Посета на театарот за деца и младинци каде ја проследивме театарската претстава „Зрното грашок и принцезата“ | |

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИ

**Опфатени деца по објекти**

| Објект | капацитет | | најрана возраст | | | | постара предучилишна возраст | | | | | | | | СЕ ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | од 8-18 м. | | 18-24 м. | | 2-3 год. | | 3-4 год. | | 4-5 год. | | 5-6 год. | | | |
| | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца |
| Мимоза | 6 | 150 | | | | | 1 | 16 | 2 | 36 | 1 | 26 | 2 | 47 | 6 | 125 |
| Темјанушка 1 | 5 | 100 | | | | | 1 | 20 | 1 | 22 | 1 | 25 | 2 | 41 | 5 | 108 |
| Темјанушка 2 | 2 | 30 | 1 | 23 | 1 | 23 | | | | | | | | | | 46 |
| Сончоглед | 9 | 180 | 1 | 23 | 1 | 23 | 1 | 21 | 2 | 38 | 2 | 46 | 1 | 24 | 9 | 175 |
| Калинка | 8 | 191 | 1 | 17 | 1 | 17 | 2 | 26 | 2 | 36 | 2 | 39 | 1 | 24 | 8 | 159 |
| Вкупно | 30 | 651 | 3 | 63 | 3 | 63 | 5 | 83 | 7 | 132 | 6 | 136 | 6 | 136 | 30 | 613 |

**Реализатори на дејноста**

| Р.бр. | Работно место | вкупно | ВСС | ВШС | ССС | ОСС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Директор | 1 | 1 | | | |
| 2. | Раководител на објект | 1 | 1 | | | |
| 3. | Струч.раб-педагог | 1 | 1 | | | |
| 4. | Струч.раб-логопед | 1 | 1 | | | |
| 5. | Струч. раб. специјален – едукатор и рехабилитатор | 1 | 1 | | | |
| 6. | Струч.сораб-музичко | 1 | 1 | | | |
| 7. | Административен кадар | 2 | 1 | | 1 | |
| 8. | Воспитен кадар | 23 | 21 | 2 | | |
| 9. | Згрижувачки кадар | 36 | 7 | | 29 | |
| 10. | Помошно технички кадар | 25 | | | 22 | 3 |
| | Вкупно: | 92 | 35 | 2 | 52 | 3 |

# IV.РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ, СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

## Извештај за работата на директорот

Како раководно лице директор на ЈУДГ "Детска радост" – општина Гази Баба, Скопје, во изминатата 2022/2023 година го организирав и унапредував целукупниот работен процес во детската градинка.

Своите активности ги насочував кон подобрување на тимската работа и подобрување на квалитетот на воспитно-згрижувачката работа со деца. Активно ги координирав работните групи во изготвување на Програмата и Извештајот за работа на детската градинка. Работата се одвиваше во насока на обезбедување на соодветни услови за работа за реализација на Програмата за работа со деца во детската градинка со внесување на иновации од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар.

Работата како директор се однесува на активностите кои ги координирав согласно Законските одредби, нормативи и стандарди, Статут и Акти на јавна детска градинка преку соработка со вработените и тоа:

- Соработува со членови на Управен одбор, Совет на родители, општина Гази Баба, Министерство за труд и социјална политика и Биро за развој на образование на РСМ;
- Учествувува во изготвување на план за јавни набавки, план за тековно и инвестиционо одржување на објектите согласно расположливите средства на установата;
- Го организира и координира воспитно-образовниот процес во установата;
- Дава предлози за стручно усовршување на кадарот;
- Во соработка со вработените ги забележуваат потребите од дидактички и друг материјал за реализација на програмските активности со децата;
- Давање насоки за формирање на групите за наредната школска година;
- Вршеше увид во педагошката евиденција и документација на установата;
- Во консултација со стручни работници активно учествуваше во изготвување на Финансов план, преку кој се планираа обезбедување на сите потребни услови за реализација на целокупниот процес, земајќи ги во предвид месечните расходи и приходи;
- Континуиран надзор на работата на персоналот, со носење на одлуки, решенија согласно закон;
- Изготвување на листата за исхрана на децата од 0 до 6 годишна возраст согласно нормативите и стандардите предвидени за исхрана на деца од предучилишна возраст, а во соработка со стручни лица од МТСП и Центарот за јавно здравје на РСМ.
- Соработка со стручниот тим во организација на воспитно-згрижувачката работа, индивидуална работа со деца, со цел подобра организација на работата и решавање на проблемите за настанати ситуации;
- Постојано се вршеше контрола врз финансиско, материјално и административно работење и давање насоки и задолженија за нивно унапредување;

- Давање насоки и мерки за наплата на заостанат долг од страна на родителите;
- Одржување на средби со родители кои се обратиле за совет или консултација, со што се продлабочила соработката, а со тоа довербата од нивна страна за професионалноста на установата;
- Работата се унапредуваше со зголемување на безбедноста и здравјето на вработените;
- Поради економската криза на глобално ниво, која многу се одрази во установата, се одредија одговорни лица за контрола на електрична енергија, се дадоа мерки на штедење на електрична енергија;
- Постојано се работеше на одржување и унапредување на позитивна и сигурна атмосфера во детската градинка за децата и вработените;
- Унапредување на меѓучовечките односи базирани на етички вредности на вработените освен преку секојдневна комуникација, состаноци, се организираа и тимски екскурзии кои имаа позитивен ефект;
- Се обезбедија работни униформи и обувки за сите вработени;
- Менаџирање на работата во поглед на нејзина организација и прилагодување на условите за работа;

Минатата година се извршија повеќе градежни работи по објектите, па така е планирано и оваа година да се подобри нивната состојба.

- Во сите објекти се обезбедија нови чешми, тоалет шољи и казанчиња во тоалети за возрасни и деца и беа отстранети дефектите;
- Во сите објекти се поправише електричната инасталација, особено во објект Сончоглед каде електирчната инсталација беше дотраена и се обезбедија нови плафоњерки со лед сијалици;
- Во објект Калинка се обезбеди нов домофон,
- Во главната кујна во објект Калинка се обезбеди нова кујнска опрема;
- Во сите објекти се обезбедија 6 нови индустриски правосмукалки;
- Во објекти Мимоза, Калинка и Темјанушка се обновија дел од вратите;
- Во објект Мимоза и Темјанушка се обезбеди дел нова постелнина;
- Во објект Сончоглед се обезбеди реквизит за во двор;
- Во објект Мимоза се санираше дел од покривот, се варосуваше цел внатрешен дел и дел од фасадата;
- Во објект Сончоглед се обезбедија три индустриски машини за перење веш со што се олесни работата на пералната зошто претходните машини за перење веш биле 40 години стари и постојано се расипуваа;
- Се обезбедија бебешки креветчиња за јаслените групи во објект Сончоглед;
- Во сите објекти се обезбеди хортикултурно уредување;
- Во сите објекти се обезбеди дидактички материјали;
- На сите вработени им се обезбеди униформа и обувки;
- Се изврши поправка за целокупната инсталација за парно во објект Мимоза;
- Се санираа дел од ѕидовите во обект Темјанушка и Сончоглед;

Во тековната година се набави нов фрижидер во чајната кујна во Мимоза. Се набавија три компјутери за вработени и два телевизори во објект Темјанушка и објект Калинка.

❖ **Лично стручно усовршување**

- 19.10.2022г. – Учество во обука на тема „Подобрување на квалитетот на работа со деца со потешкотии во развој и индивидуален пристап“ – Балон Би Скопје;
- 25.01.2023г. – Учество во интерна обука на тема „Математика во предучилишната Возраст“ – ЈУДГ„Детска радост“
- 19.06.2023г. – Информативно предавање на тема„План за активно вклучување на родителите во предучилишното образование на нивните деца“ - МТСП

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

### Извештај за работата на педагогот

Педагогот како дел од сручниот тим учествуваше во планирање, организирање, следење на реализацијата на програмата на градинката. При планирање и реализација на воспитно-образовните активности посебно внимание се посветуваше истите да соодвествуваат со потребите, можностите и интересите на децата од нашата градинка како и потребите на родителите.

Педагогот преку низа активности кои ги реализираше даде свој придонес во унапредување на згрижувачката и воспитно-образовната дејност на установата и создавање на средина пријатна зе престој, игра и учење на децата. Неговата работа се одвиваше според концепцијата и барањата на програмата за рано учење и развој, а се реализираше преку следните подрачја:

❖ **Планирање, програмирање и следење на реализацијата на воспитно-обраовната работа;**
❖ **Педагошко инструктивна работа со кадарот;**
❖ **Непосредна работа со децата;**
❖ **Соработка и советодавна работа со родителите;**
❖ **Стручно усовршување – обуки презентации;**

❖ **Планирање, програмирање и следење на реализацијата на воспитно-обраовната работа;**

- Пред почетокот на програмската година заедно со останатите стручни работници и соработници учествував во Изготвувањето на Годишната програма за работа за програмската 2022/23 година и Годишниот извештај на градинката за 2021/22 година;
- Во текот на годината учествував во работата на стручнот совет и советот на воспитувачи со предлог активности за унапредување на згрижувачката и воспитно-образовната дејност на градинката;
- Ја координирав и учествував во работата на работните групи за годишно тематско планирање, и работни групи за среднорочно месечно планирање по воспитни групи со предлог интересни содржини и активности кои ги реализиравме во текот на годината;

- Ја координирав и учествував во работата на работните групи на воспитувачи од средните и големите групи со кои ги планиравме активностите за реализација на проектите вклучени во програмата, како и план за реализација на сликовниците од едициите „Мултикултурализам“ и „Размислувај еднакво“
- Учествував во планирање на воспитно-згрижувачка работа со децата од јаслените групи за кои изработив програма за работа со предлог игри и активности кои негователите од јаслените групи ги реализираа во текот на годината;
- Бев претседател на комисијата за прием на деца и учествував во нејзината работа за планирање и распределување на децата по воспитни групи во сите објекти на градинката. Уписи на деца се вршеше во текот цела година па така комисијата правеше прочистување на списоците од деца чии родители бараа испишување или не го почитуваа договорот со градинката и надополнување на групите со деца од листата на чекање;
- Заедно со останатите стручни работници дефектолог и логопед учествував во работата на советувалиштето за деца и родители;
- Учествував во планирање и организирање на активноспи од планот за јавно културната дејност на установата. Во текот на годината учествував во реализацијата на следните јавни манифестации: Движи се за здравје; Детска недела; 13ти Ноември; Тиквијада; Меѓународен ден на лицата со посебни потреби; Нова година; Мартинки; Денот на жената; Ден на пролетта, Ден на водата; Ден на театарот; Светски ден на книгата;Априлијада; Ден на планетата земја; Ден на мајчиниот јазик; Завршна приредба Жолти чорапи;
- Бев иницијатор и учествував во реализација на проектот „Театарче Детска радост“ во чии рамки ги реализиравме претставите:
  „Имам право на другарство“ - театарска која ја проследија децата од воспитни групи пд 3-6 години и ја реализиравме во текот на детската недела
  „Палтенцето на малото Еже’ куклена претстава која ја проследија сите деца од 2-6 години а која ја реализиравме по повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби
  „Зрното Грашок и принцезата“ – театарска претсава која ја проследија децата од 5-6 години;
- По потреба извршував работни задачи на место на отсутни воспитувачи и реализирав воспитно-образовна програма во групата каде бев на замена.

❖ **Педагошко инструктивна работа со кадарот:**

- Ја следев реализацијата на воспитно образовната програма преку непосредно присуство во воспитните групи. Во текот на гоодината бев поддршка на воспитувачите при избор на содржини и активности за разработка на месечно планирање соодветни за возраста на децата во вопситните групи. Следев реализација на дневно планирање во воспитните групи и водев евидентни листови за следење активност;
- Во текот на годината правев проверка на педагошката евиденција и документација на воспитните групи од 8-24 месеци која се води од срана на негователите во писмена форма и на воспитните групи од 2-6 години која се водеше од страна на воспитувачите во писмена и во електронска форма. Давав насоки и инструкции за нејзоно водење и подобрување;
- Бев поддршка на воспитувачите при реализирање на проектите, проектните активности и посети;

- Во текот на годината го водев Дневникот за работа на детската градинка во писмена и електронска форма, а заедно со логопедот ја водевме Главната книга на градинката;
- Во месец октомври реализирав интерна обука за негователите од јаслените групи на тема „Организација и педагошка евиденција на активности со деца до 24 месеци“;
- Во текот на месец јануари реализирав интерна обука за воспитувачите, стручните работници и соработници на тема „Математика во предучилишната возраст“.

❖ **Непосредна работа со децата:**

- Ја следев адаптацијата и социјализацијата на ново запишаните деца во воспитните групи, како и на децата кои од јаслени групи ги префрливме во групи градинка. По потреба информациите за децата и нивниот престој во групата ги споделував со родителите;
- Во текот на годината го следев напредувањето на децата преку реализирањето на воспитно-обарзовните програмски активности и во соработка со воспитувачите планиравме пристапи и стратегии во поттикнување на развојот;
- Во соработка со дефектологот и логопедот ги следевме децата со доцнење во развојот и учествував во планирање на работата со тие деца со цел поттикнување на нивниот развој;
- По барање или укажување на воспитувач или неговател престојував во воспитната група каде што престојува детето го следев неговото однесување и давав предлог стратегии за надминување на одредени ситуации;
- Реализирав индивидуална и групна работа со децата;
- Во текот на месец октомври со децата од воспитните групи од 5-6 години реализирав рабитилница за развивање на помот за себе „Волкот кој сакаше да биде во друга боја“ Работилницата имаше за цел кај децата да се развива свесност за себе во однос на другите лица, воочување на разлики помеѓу децата, развивање на способност за препознавање и именување на чувствата и негување на позитивните емоции, развивање на емпатичност, јакнење на самодовербата и самопочитта како и довербата и почитта кон другите;
- Во текот на месец април по повод Денот на планетата Земја со децата од 4-5 и 5-6 години реализирав едукативни работилници на тема „Зошто треба да рециклирам“ Работилниците имаа за цел подигнување на еколошката свест и развој на љубов и грижа за нашата планета;
- Реализирав воспитно-образовни активности со децата во групи каде недостасуваше кадар.

❖ **Соработка и советодавна работа со родителите:**

- Соработував со родителите при упис и испис на децата во градинка и распределување во соодветната воспитните групи. Најчесто тоа беа индивидуални разговори каде родителите добиваа насоки за комплетирање на потребните документи за упис, претставување на програмата и услугите кои ги нуди градинката и совети за полесна адаптасија на детето во градинка.
- Учество во планирање на групните родителски средби кои се реализираа на ниво на воспитни групи со почетокот на првото и второто полугодие;
- Во договор со воспитувач, неговател и останатите стручни работници повикувавме родители на индивидуални разговори со цел надминување на

одредени ситуации или фази во однесувањето на детето и изнаогање на заедничко решение за надминување на проблемот. Понегогаш средбите беа иницирани и од самите родители кога наидуваа на некои недоумици и прашања поврзани со растењето и воспитувањето на децата;

- Во соработка со другите стручни работници реализиравме индивидуални средби со родители кај чии деца забележување доцнење во некои аспекти од развојот на децата, со насоки за активноспти кои може да се практикуваат и во домот а кои би придонеле за поттикнување на развојот, како и насоки за консултација со надворешни стручни профили и институции;
- Давав насоки за воспитувачите за практикување на разни форми на соработка со родителите со цел нивно поголемо вклучување при реализација на воспитно-образовната рограма;
- Заедно со воспитувачот Билјана Лотеска и оваа програмска година реализиравме онлајн програма за Вешто родителство која ја реализиравме во периодот февруари-април. Програмата ја реализиравме со мајки на мали деца од објектот Мимоза. Целта на оваа програма е подобрување на родителските компетенции, споделување на добри искуства и практики при растење и воспитување на децата. Преку оваа програма родителите учат дека родителството не е лесно и никој не е совршен затоа што совршени родители не постојат. Наша цел е да се поддржиме а градинката како втор дом на децата е секогаш тука да помогне да се развие добра интеракција родител-дете-градинка. Преку градење на партнерски односи со родителите изнаоѓаме начини да ја зголемиме играта кај децата да ја поттикнеме нивната самостојност, љубопитност, креативност но и да бидеме нивна сигурна база.

❖ **Лично стручно усовршување**

- 19.10.2022г. – Учество во обука на тема „Подобрување на квалитетот на работа со деца со потешкотии во развој и индивидуален пристап“ – Балон Би Скопје;
- 19.10.2022г. – Учество во обука на тема „Социо- емоционален развој на предшколски деца“ – ЕУ Институт Скопје;
- 08.11.2022г. – Учество на вебинар „Рана интервенција -Достапни опции и услуги (ICF)“ – Биро за развој на образованието, Скопје
- 24.11.2022г. – Едуино вебинар „Стимулација на говор во рана возраст + Cboard – Биро за развој на образованието, Скопје
- 29.11.2022г. – Едуино вебинар „Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + Водич за инклузивни практики
- 25.01.2023г. – Реализатор на интерна обука на тема „Математика во предучилишната Возраст“ – ЈУДГ„Детска радост“
- 28.02.2023г. – Учество во обука на тема „Форми на модернизација во работата со надарени деца“ – Здружение на воспитувачи на Македонија
- 11.05.2023г. – Дисеминација на обука на тема „Градење на капацитетите на негователите“ – ЈУДГ „Детска радост“ и Едуленд;
- 19.06.2023г. – Информативно предавање на тема„План за активно вклучување на родителите во предучилишното образование на нивните деца“ - МТСП

❖ **Соработка со поширокатa средина**

- Соработка со Црвениот крст на Општина Гази Баба при реализирање на едукативни работилници за деца на тема „Запознаввање со црвениот крст“ и „Здрави деца посветла иднина“, како и при реализирање на хуманитарната акција „Од дете за дете“ која се реализиарше во рамки на детската недела;
- Соработка со ДКЦ Карпош учество во манифестаците Движи се за здравје, Го градиме нашиот град, Играм пеам за мојата мајка,;
- Соработка Природонаучен музеј и ЗОО;
- Соработка со Театарот за деца и младинци;
- Соработка со Музејот на Мајка Тереза;
- Соработка со Сунлекс Скопје - еко кампања „Учиме за рециклирање на отпадно масло;
- Просветно дело – учество во редакција на списанието Росица
- Соработка со предучилишните установи од градот Скопје и пошироко; Соработка со ОУ „Стив Наумов“ и „Глигор Прличев“ .

❖ **Други активности**

- Учествував во работата комисијата за оценување на вработените за 2022г кое се реализираше во текот на месеците октомври-ноември;
- Администратор сум на ИСУЧР системот на градинката и учествував во подготвување на Правилникот за измена и надополнување на систематизацијата на работни места;
- Доставував месечни извештаи за број на деца и вработени по воспитни групи – табели за МТСП;
- Учествував во работата на комисија за продолжување-обновување на лиценците на воспитно-згрижувачкиот кадар, стручни работници и соработници;

## Извештај за работата на логопедот

Програмските активности се реализираа во соработка со воспитно – негувателскиот кадар, стручните работници и соработници преку учество во планирање, организирање и следење на воспитна – образовната дејност на децата.

На ниво на установа во периодот од месец септември до месец октомври се спроведе идентификација и детекција на децата од шест воспитни групи на возраст од 5 – 6 години и на една хетерогена група од 4 – 6 години од објект Калинка. Од објектите Мимоза, Темјанушка и Сончоглед беа опфатени 138 деца и од нив се евидентираа 77 со говорно – јазични нарушувања. Од објектот Калинка групата се состои од 21 дете, 7 од нив беа опсервирани, а 4 деца се евидентираа со говорно – јазични нарушувања.

Во објектот **„Мимоза“** беа формирани две воспитни групи од 5 - 6 годишна возраст чиј број вкупно изнесуваше 48 деца, кај 15 од нив беа забележани фонолошко – артикулаторни нарушувања кај кои логопедскиот третман се одвиваше во група. Со забавен психомоторен – говорен развој беа евидентирани 4 деца при што логопедскиот третман се изведуваше индивидуално.

Во објектот **„Темјанушка“** беа формирани две воспитни групи од 5 - 6 годишна возраст чиј број вкупно изнесуваше 41 деца, кај 20 од нив беа забележани

фонолошко – артикулаторни нарушувања кај кои логопедскиот третман се одвиваше во група. Со забавен психомоторен – говорен развој беа евидентирани 2 деца и 1 дете со Даунов синдром при што логопедскиот третман се изведуваше индивидуално.

Во објектот **„Сончоглед“** беше формирана една воспитна група од 5 - 6 годишна возраст чијшто вкупен број изнесуваше 25 деца, кај 18 од нив беа забележани фонолошко – артикулаторни нарушувања кај кои логопедскиот третман се одвиваше во група.

Во објектот **„Калинка’’** беше формирана една воспитна група од 5 - 6 годишна возраст чијшто вкупен број изнесуваше 24 деца, кај 17 од нив беа забележани фонолошко – артикулаторни нарушувања кај кои логопедскиот третман се одвиваше во група. Формирана една мешана група од 4 – 6 години со 21 дете, 7 од нив беа опсервирани поради поаѓање во училиште, а кај 4 деца беа забележани фонолошко – артикулаторни нарушувања кај кои логопедскиот третман се одвиваше во група.

Опсервацијата на децата се одвиваше индивидуално, а логопедскиот третман во зависност од видот и типот на говорно – јазичните нарушувања, се состоеше од индивидуален третман и работа со деца во група.

Нарушувања кои се детектираа: фонолошко – артикулаторни нарушувања (ротацизам, ламбдацизам, сигматизам – интердентален, латерален), забавен или недоволно развиен говор, специфични јазични нарушувања и аутизам.

На децата им беше дадена можност за адаптација, запознавање и прифаќање на логопедот, со цел да се овозможат услови за взаемна соработка во текот на спроведувањето на третманот.

Воспитно – негувателскиот кадар беше запознаен со проблемите на децата во однос на говорно – јазичната комуникација и нивното влијание врз психомоторниот и едукативниот развој.

Според распоредот на стручниот тим за ротирање по објекти логопедските вежби се реализираа од месец ноември до месец март еднаш во неделата со тоа што секогаш беа следени со домашна задача со цел за успешен третман. Акцентот беше ставен кај децата од возрасните групи од 5 – 6 години поради тоа што се подготвуваа за училиште; додека децата од помалите возрасни групи од 2 – 4 години се опсервираа, се следеше физиолошкиот развој и се даваа насоки на воспитно – негувателскиот кадар за стимулирање на говорно – јазичниот развој.

При евидентирање на одредени отстапувања во развојот на детето, стручниот тим организираше индивидуални разговори со родителите на кои им се укажуваше за потешкотиите кои ги манифестира детето во групата. Се споделуваа совети и насоки со конкретни активности со цел за стимулирање и урамнотежување на развојот и подобрување на состојбата.

Според потребите во објектите во текот на годината при отсутен воспитувач и негувател се реализираше воспитно – згрижувачка работа.

Континуирано се вршеше прием на родители за консултација и потребни документи при запишување дете во градинка, заверување на истити, испис на деца и внесување податоци во електронски систем.

❖ **Соработка со кадарот**

- Учество во тимската работа во планирање, организирање и реализација на програмските активности и проекти на ниво на општина Гази Баба, на ниво на град Скопје;
- Учество во Комисија за прием на деца – дополнување на воспитните групи со деца од листата на чекање, испис на деца и формирање нови воспитни групи;
- Изготвување на Годишен извештај за својата работа за 2022/2023 година;
- Поддршка на постарите возрасни групи од 5 – 6 години од објект Темјанушка во посета на Природонаучен музеј – Скопје со цел изработка на проект на тема: „Инсекти“;
- Поддршка на постарата возрасна група од 5 – 6 години од објект Калинка при прошетка на град Скопје по повод празникот 13 Ноември;
- Учество во изведба на куклена претстава – „Палтенцето на малото еже“ по повод одбележување 3 Декември – меѓународен ден на лицата со посебни потреби за децата од сите воспитни групи;
- Поддршка на постарата возрасна група од 5 – 6 години од објект Мимоза во посета на Детскиот културен центар – Карпош по повод празникот 8 Март со цел изложба на детските цртежи и манифестација – Играм и пеам за мојата мајка;
- Соработка со воспитно – негувателскиот кадар за рано откривање на говорно – јазични нарушувања кај децата;
- Советодавна и инструктивна работа со воспитно – негувателскиот кадар и давање насоки за поттикнување на говорно – јазичниот развој кај децата преку говорни игри;
- Следење на децата во конкретни ситуации по барање на родител или воспитно – негувателскиот кадар поради промени во однесувањето;
- Поддршка на воспитно – негувателскиот кадар за деца кои манифестираат одредени потешкотии во воспитната група;
- Учество во оценување на воспитно – негувателскиот кадар и стручните профили преку опсервација на активностите и интервју;
- Изготвување на потребни документи за обновување на лиценци за работа за вработените;
- Учество во Централна пописна комисија како претседател за извршување на годишен попис и изработка на извештај за спроведениот попис за изминатата година;
- Редовно внесување на податоци во Главна книга на градинката и во електронскиот систем на градинки.

❖ **Соработка со семејството**

- Остварена соработка со родители на деца со говорно – јазични нарушувања;
- Постојано индивидуално информирање на родителите за постигнувањата и развојот на нивните деца;
- Дадени насоки за вклучување на родителите во работата со децата во домашни услови;
- Реализирани консултативно – советодавни разговори со родители по нивно и по барање на кадарот;

- Давање насоки за користење на други надворешни стручни профили или институции во соработка со педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор на градинката;
- Мултидисциплинарен пристап при споделување на информации и советување за социо – емоционални проблеми во адаптацијата, социјализацијата и интеракционите односи, говорно – јазични и широк спектар на развојни нарушувања;
- Информирање на родителите за потребни документи при запишување и испишување на дете во градинка.

❖ **Лично стручно усовршување - учество на предавања и обуки:**

- **19.10.2022г**. – Project: Socio – emotional development for preschool children and as commendatiton for exemplary performance – EU Institute – Здружение за образовно истражувачки развој – Скопје
- **20.10.2022г. –** Учество на обука на тема: „Подобрување на квалитетот на работата со деца со потешкотии во развојот и индивидуален пристап на секое дете„ – Друштво за консалтинг и услуги Балон-Би, Скопје
- **12.11.2022г.** - Учество на семинар: Интелектуална попреченост – Гаспар центар за психофизичко здравје, Скопје
- **24.11.2022г**. – Учество на вебинар – Стимулација на говор во рана возраст + Cboard – Биро за развој на образованието, Скопје
- **29.11.2022г**. – Едуино вебинар „Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + Водич за инклузивни практики
- **10.12.2022г.**. –Учешће на VI симпозијум логопеда Србије под називом: Неурогени и развојни поремећаји говора и језика – Београд
- **25.01.2023г.** – Учество на интерна обука на тема: „Математиката во предучилишна возраст„ – ЈУДГ Детска Радост – Гази Баба
- **20.04.2023г**. - Вебинар – Развој на груба и фина моторика кај децата, Виртуоз центар, врлина, Хрватска
- **26.04.2023г**. – Едуино вебинар – Претставување во медиумите – стереотипи и предрасуди – Биро за развој на образованието
- **13.05.2023г.** Учешће на VII симпозијум логопеда Србије под називом „Стандардне и допунске методе у логопедској и дефектолошкој пракси: критички приступ логопедском и дефектолошком третману„ –Београд.

❖ **Реализирана соработка со поширокаата средина**

- Соработка со предучилишни установи во Државата за размена на искуства и идеи;
- Посета на Ј.О.У. 8 Април со стручниот тим, воспитувачи и негователи за запознавање и утврдување на датуми за обука – „Професионални заедници во установите“ со цел презентирање на искуствата и добрите практики;
- Соработка со Црвен крст на општина Гази Баба во реализација на проектот „Од дете за дете“ - хуманитарна акција во рамки на Детската недела;
- Соработка со општина Гази Баба преку учество на Советот на општина Гази Баба за Предлози и Одлуки за именување на претставници од Советот на родители на децата во установата;
- Соработка со институциите: „Завод за ментално здравје“, „Центар за рехабилитација на слух, говор и глас’’- Скопје и други приватни компетентни институции во однос на третирање на одделни развојни прашања.

## Извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор

Во рамките на своите програмски активности, дефектологот во текот на месец октомври изработи своја сопствена програма за работа за тековната година.

Во установата дефектологот на база на информирање од воспитувачите во сите објекти, доби информации за децата и потешкотиите кои ги манифестираат со пополнување на евидентен лист каде ги забележаа веќе стекнатите вештини.

Работата на дефектологот се темелеше првично да биде поддршка во групите каде има најголема потреба, односно во групите каде има деца со потешкотии во развојот, потоа индивисуален пристап и третман на истите деца.

Од веќе добиените информации дефектологот заедно со останатиот дел од стручниот кадар во градинката изработи годишна програма за својата работа. Потоа, план за поддршка и проценка на напредокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на функционалните способности кај детето што се однесува посебно за секое дете во зависност од развојните нарушувања и потешкотиите со кој се соочува детето во кој беа вклучени и родителите.

Воспитно – негувателскиот кадар беше запознаен со проблемите на децата во однос на однесувањето и нивната психомоторика, но по запознавањето на децата со дефектологот и земените забелешки од следењето на развојот и опсервацијата воспитно-негователскиот кадар добија насоки за работа за олеснување на работата со овие деца.

Замената на работните обврски на воспитувачите и негователите во текот на годината ги опфати сите возрасни групи, од јасли до големите групи во сите четири клона „Мимоза”, „Темјанушка”, „Сончоглед” и „Калинка”.

Дефектолошкиот третман во одредени групи се одвиваше со претходно испланирана цел, односно вежби кои влијаат за подобрување на концентрација, внимание, меморија, фина моторика, груба моторика, графомоторика, вежби за опуштање, во зависност од потребите на детето.

Од објектите „Мимоза“, „Сончоглед’’, „Темјанушка’’ и „Калинка’’ медицинска белешка од државни и приватни установи за класификации на попреченост и потреба за поддршка во развојот, добивме за десет деца кои имаат редовен престој во нашата градинка.

Во текот на работната година освен со децата со развојни нарушувања дефектологот работеше и со деца со типичен развој кои се соочуваат со одредени потешкотии како што се концентрација, внимание, помнење итн.

❖ **Соработка со кадарот**

• Учество во изготвување на Годишната програма за работа на установата за 2021/2022 година и Годишниот извештај за 2021/2022 година;
• Учество во тимската работа во планирање, организирање и реализација на програмските активности и проекти на ниво на општина Гази Баба, на ниво на град Скопје;
• Соработка со воспитно – негувателскиот кадар за рано откривање на развојните нарушувања;
• Советодавна и инструктивна работа со воспитно – негувателскиот кадар и давање насоки за поттикнување на развојот преку соодветна игра и вклучување во секојдневната работа на децата;
• Изготвување на индивидуални воспитно – образовни планови за работа со цел унапредување на нивниот развој;
• Следење на децата во конкретни ситуации по барање на родител или воспитно – негувателскиот кадар поради промени во однесувањето;
• Поддршка на воспитно-негователскиот кадар кои во групата имаат деца со развојни нарушувања при разни прошетки, посета на музеј, спортски игри во природа.

❖ **Соработка со семејството**

- Остварена соработка со родителите на децата со развојни нарушувања;
- Постојано индивидуални информирање на родителите за постигнувањата и развојот на нивните деца;
- Дадени насоки за вклучување наа родителите во работата со децата во домашни услови;
- Реализирани консултативно – советодавни разговори по нивни и по барање на кадарот;
- Давање насоки за користење на други надворешни стручни профили или институции во соработка со логопедот и педагогот на градиката;
- Преку формата советувалиште – мултидисциплинарен пристап, се посвети посебно внимание на споделување на информации и советување на социо-емоционални проблеми во адаптацијата, социјализацијата и интеракционите односи, говорно-јазични и широк спектар на развојни нарушувања.

❖ **Рализирана соработка со општествената средина;**

- Соработка со институциите: „Завод за ментално здравје“ и „Центар за рехабилитација на слух говор и глас“ – Скопје

❖ **Лично стручно усовршување – обуките опфаќаа учество на работилници семинари и презентации:**

- Помошни алатки за наставници со цел подигање на инклузијата во учикиштата -Еразмус+, Општина Гази Баба Скопје;
- Математика во предучилишната возраст -ЈУДГ „Детска радост“ - Скопје;
- Интелектуална попреченост – Гаспар - центар за психофизички развој;
- Подобрување на квалитетот на работа со деца со потешкотии во разбојот и индивидуален пристап

## Извештај за работа на стручниот соработник по музичко воспитание

Во зависност од возраста и степенот на музичкиот развиток на децата се применуваа соодветни содржини за работа. Преку музиката кај децата се поттикнуваа позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста.

Музичкото изразување им овозможува стекнување култура на однесување и подготвување за активно вклучување во музичкиот живот во општествената средина. Остварувањето на главните цели на музичкото образование во воспитно - образовната работа со деца од предучилишна возраст во изминатата програмска година беа:

- Развивање интерес и љубов кон музиката;
- Поттикнување на желбата и навиката за активно слушање на музика;
- Развивање способности за емоционално восприемање и доживување на музиката;
- Негување на култивирано пеење, чиста интонација, правилно дишење и правилен изговор на зборовите;
- Оспособување за свирење на детските музички инструменти (ритмички и мелодиски);
- Збогатување на музичките впечатоци и проширување на обемот на музичко слушните претстави;
- Навикнување на соодветно и културно однесување при слушање музика во концертна сала и други институции.

Во текот на годината како стручен соработник по музичко воспитание учествував во работните групи, планирање и програмирање на годишните теми. Се реализираа сите форми на работа: пеење на песни, слушање музика, музика и движење, детско музичко творење. Применував игри за развој на слухот, игри со бројалки како и забавни игри кои кај децата создаваа весело расположение. При пеењето на песни секогаш обрнував внимание на вокалната техника, со што децата се учат на правилно дишење при пеењето, чиста интонација и дикција и сето тоа допринесува правилно и убаво да биде испеана една песна.

Подготовки и реализација на програмските содржини:

- Есенска приредба
- Априлијада и Денот на пролетта
- Учество во претстава по повод Детската недела –
- „Секој има право на другарство“;
- Учество со стручниот тим во претстава по повод Меѓународниот ден на децата со посебни потреби - „Палтенцето на малото еже“;
- Учество во проект – „Растеме со музика учиме низ игра“ во соработка со воспитна група од 5-6 години;
- Учество во завршни приредби на големите групи од сите објекти;
- Реализација на воспитно – образовна работа во сите објекти при замена на отсутен воспитувач;
- Учество во Комисија за попис.

❖ **Лично стручно усовршување – проекти и предавања:**

- **25.01.2023г.** – Учество на интерна обука на тема: „Математиката во предучилишна возраст„ – ЈУДГ Детска Радост – Гази Баба

## V. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Градење на партнерски односи, меѓусебно почитување и разбирање со родителите и семејствата на децата кои ја посетуваа градинката беше цел кон која се стремевме во изминатата година. Усогласување на воспитните ставови и меѓусебно надополнување околу грижата за децата беше значајно и влијаеше на севкупиот развој на детската личност. За таа цел во текот на годината се реализираа следните форми на соработка со родителите:

.

- Формални и неформални индивидуални разговори со родители;
- Средби со родители на ново примени деца;
- Родителски средби;
- Индивидуални средби на родители со сручниот тим на градинката;
- Вклучување на родителите во планирање и реализација на дел од програмските и проектните активности;
- Вклучување на родителите во креативни работилници, приредби и изложби;
- Советувалиште за деца и родители;
- Педагошка едукација;
- Информирање на родителите преку огласна табла, флаери, соопштениа;
- Веб страа на градинката;
- Електронска комуникација (фб и вибер групи, zoom средби)

Најчести и најуспешно реализирани форми на соработка беа индивидуалните разговори со родители, разговори со родители на ново примени деца, вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес, информирање и едукација на родители. Најмногу се практикуваа секојдневните индивидуални формални и неформални средби при приемот и испраќањето на детето од градинка кога се споделуваа информации важни за престојот и напредувањето на детето во градинка и значајни за формирање на позитивен став кон градинката.

Во текот на годината во секоја воспитна група се реализираа по две родителски средби, првата во месец октомври, а втората во месец март. На овие родителски средби родителите имаа можност да се запознаат со кукниот ред, организациската поставеност на градинката, воспитно-образовната програма која се реализира во воспитната група каде престојува нивното дете, договор за прирачници и списанија за деца, како и вклучување на родителите во работата на градинката.

Активно ги вклучуваме родителите во реализирање на дел од активностите од воспитно-образовната програма манифестации, еко акции, креативни работилници и хуманитарни акции од кои би ги издвоиле:

- ✓ **Еко акции:** Ден без автомобили; Учиме за рециклирање на отпадното масло; Ден на водата;
- ✓ **Хуманитарна акции:** – во рамки на детската недела се организираше хуманитарна акција „**Од дете за дете“.** Акцијата се состоеше во собирање храна и облека кои во соработка со Црвениот крст на Општина Гази Баба беа наменети за ранливите категории семејства на територија на Општина Гази Баба;

„**Подари сликовница**“ – хуманитарна акција во која децата и родителите донира сликовници за библиотечното катче на Детската клиника во оделот за онкологија;

**Новогодишна хуманитарна акција „Подај рака**“ на децата од објектот Темјанушка чии родители приредија театарска претстава и подарија новогодишни пакетчиња за децата од невладината организација Ихром-Топана;

- ✓ **Работилници со родители:** ликовна работилница во рамки на Детската недела „Другарството е дел од детската среќа“; Креативна работилница за изработка на Новогодишни украси; Велигденски работилници и базар; Базар по повод Првиот ден на пролетта; Работилница по повод Ден на водата; Одбележување на Денот на семејјството; Меѓународниот ден на раскажувањето; „Како да се заштитиме од инсекти“ Креативна работилница „Изработка на детски музички инструменти“
- ✓ **Манифестации**: Детска недела „Другарството е дел од детската среќа“; Движи се за здравје; Приредби по повод испраќање на есента; Мартинки; Честитка за мама; Добре дојде пролет мила; Ден на водата; Априлијада; Ден на семејството; Завршни приредби на големите групи „Жолти чорапи“ Испраќање на децата од големите групи „Збогум градинке здраво училиштеа“

Едукација на родителите се реализираше преку стручни натписи на влезните паноа, изложби на ликовни творби, фотографии од активности. Информации за родителите поврзани со престојот на децата и активности кои се реализираа во градинката се споделуваа на ФБ и Веб страната на градинката. На страната родителите можат да ги најдат сите корисни информации околу престојот на децата во градинката, теми и активности кои се реализираа, информации за упис и испис на децата во градинка како и пополнување на електронска пријава за упис.

Со цел унапредување на соработката со родителите и афирмаација на градинката, група родители ентузијасти од воспитната група од 2-3 години од објектот Темјнушка оваа година реализираа неколку театарски претстави за деца. Претставите беа наменети и се реализираа за децата од објектотТемјанушка и Мимоза и беа од хуманитарен карактер. Една од претставите беше наменета и се изведе пред децата од невладината организација Ихром Топана на кои им беа донирани новогодишни пакетчиња. Друга од претсавите се изведе пред децата од училиштето Стив Наумов и беше од хуманитарен карактер а собраните средства и сликовници беа донирани на Клиниката за детски болести – оделот за онкологија.

### ❖ Совет на родители

Советот на родители е орган именуван согласно Законот за заштита на децата и Статутот на детската градинка. Советот на родители даваше свој придонес и предлози во активностите за унапредување на дејноста,се ангажираше за изнаоѓање средства, донации за подобрување на условите за престој на децата, учествуваа во проекти и работилници за реализација на воспитно образовната програма, Родителите преку свои петставници се вклучуваа во работата на органот на управување-управниот одбор на детската градинка, ги разгледуваа и дава свое мислење за годишната програма и извештајот за работата установата.

### ❖ Советувалиште за деца и родители

Советувалиштето за деца и родители го сочинуваше стручен тим во составв: педагог, логопед и специјален едукатор и рехабилитатор. Во текот на годината стручниот тим на советувалиштето даде свој придонес за унапредување на соработката помеѓу семејството и градинката, потенцирајќи го значењето на соработката на косултативно, советодавно и едукативно ниво.

Средбите и активностите со родителите се реализираа во објектот Мимоза каде се наогаат просториите на советувалиштето но по потреба и од практични причини за родителите средбите понекогаш се реализираа и во останатите објекти на градинката по предходно договорени термини.

Родителите добиваа информации за организационата и програмската поставеност на установата, како и совети за полесна адаптација на детето во воспитната група или премин од јасли во градинка. Поаѓањето и престојот на детето во градинка е проследено со потребата да се изменат низа утврдени навики во однесувањето и да се прилагодат во новите услови. Од тука произлегува и значењето на советувалиштето во давање насоки за полесна адаптацијата и социјализацијата како и поддршка на децата и родителите во тој процес.

Во рамки на советувалиштето преку индивидуални средби со родителите се споделуваа совети и насоки за правилно воспитување и одгледување на децата. Соработката опфакаше поддршка во решавање на оделни проблеми и надминување на некои фази во однесувањето на детето со давање на корисни совети и насоки за надминување на истите Во некои ситуации родителите беа насочувани да користат поддршка од надворешни стручни институции за надминување на одредени развојни состојби и прашања.

Во однос на децата, стручниот тим на советувалиштето давеше поддршка особено во периодот на адаптацијата, социјализацијата како и надминување на некои фази во однесувањето. Континуирано се следеше развојот и однесувањето на децата во сите воспитните групи и заедно со воспитувачите и негователите се планираа стратегии на постапување во одредени ситуации. Посебно внимание се посвети на децата со потешкотии во развојот. За таа цел оваа година во рамки на советувалиштето се формира инклизивен тим во состав: дефектолог, логопед, педаго, и 4 воспитувачи кои ги проследија обуките за инклузија на деца со посебни потреби. Целта на тимот беше рано препознавање на доцнење во психомоторниот развој кај децата, адаптирање и прифаќање на децата во воспитните групи, поддршка и советување на родителите во воспитниот процес, следење на развојот на децата, и индивидуална поддршка на тие деца од страна на стручниот гим.

Советувалиштето даваше поддршка и на кадарот со цел подобрување на нивните компетенции и унапредување на релациите воспитувач - дете – родител. Стручниот тим беше поддршка на воспитувачите во олеснување на процесот на адаптација на децата во градинката, особено на децата со развојни потешкотии, како и поддршка во реализирање на проектните активности, манифестации, приредби.

## VI. СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА И СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ

Со цел унапредување на дејноста во текот на годината градинката беше отворена за соработка со институции од најразличен вид. Соработката со поширокатa општествената средина опфати анимирање на поединци од различни професии, организации од областа на културата, уметноста, науката,образованието, медиуми... Соработката беше значајна за афирмација на градинката и креирање на јавното мислење за установата.

Разменувавме искуства и добри практики со што придонесе за унапредување на воспитно образовната дејност, надополнување на воспитно образовните форми и содржини и афирмација на градинката во поширокатa средина. Во текот на годината се користеа најразлични форми на соработка:

- Стручни предавања од различни области;
- Семинари и обуки;
- Рамена на материјали за едукативни работилници;
- Меѓусебна соработка со предучилишни и училишни установи од земјата со цел размена на искуства и добри практики, следење на активности, проекти, приредби и прослави, спортски манифестации;
- Реализација на интерни проекти;
- Учество во акции и манифестации на ниво на град и република;
- Посета и соработка со институции;

Во текот на годината соработувавме со:

- Општина Гази Баба;Министерство за труд и социјална политика; Биро за развој на образованието; Министерство за образование; - Поддршка во реализацијата на програмата и следење на современите педагошки психолошки истражувања и сознанија и нивна имплементација за осовременување на воспитно -образовниот процес;
- Центар за јавно здравје - Рамена на информации за епидемиолошката состојба во градинката и превентивна заштита;
- Црвен крст на Општина Гази Баба - Соработка при реализација на хуманитарна акција „Од дете за дете“ и реализација на едукативни работилници за деца „Запознавање со црвениот крст“ и „Здрави деца посветла иднина“
- Невладина организација Ихром Топана - Хуманитарна акција „Подај рака“ – Претастава за децата и донација на новогодишни пакетчиња;
- ДКЦ Карпош - Учество во реализација на манифестациите „Движи се за здравје“, „Играм и пеам за мојата мајка“ и „Денот на здравјето“
- Едука Мак - Учество на ликовен конкурс „Корицата на ојата сликовница“
- Арс ламина - Посета на книжарница Литература и реализација на едукативна работилница за емоциите „Жолти чорапи“; По повод денот на книгата едукативна работилница „Како се создава книга“
- Просветно дело -редакција Росица - Едукативна работилница „Малите тајни на големата Мина во градинка“, учество во редакција Росица;

- Детска клиника – претстава за децата згрижени на клиниката и донација на сликовници за библиотечното катче;
- Сунилекс - Реализација на едукативни работилници „Учиме за собирање и рециклирање на отпадното масло“
- Пакомак - Учество на награден конкурс „Trash for art“ и Соработка во селектирање и предавање на пластика,
- Нулта отпад - Соработка во селектирање и предавање на батерии;
- Природнонаучен музеј на Маќедонија и Музеј на Мајка Тереза - Посета на музеите и предавање од кустос
- Зоо Скопје – посета на децата од големите групи;
- Театар за деца и младинци - Посета на театарот и следење на претставата „Зрното грашок и принцезата“
- Стопанска банка АД Битола - Одбележување на светскиот ден на штедењето;
- Халк банк - Запознавање со професијата банкар, посета на родител на работно место;
- ТАВ меѓународен аеродром - Посета на аеродромот и запознавање со професиите пилот и стујардеса;
- Против пожарна станица Скопје - Посета на против пожарна станица и запознавање со професијата пожарникар;
- ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ - Едукативна работилница „Запознавање со гудачките музички инструменти“
- Предучилишните установи на РСМ и Основните училишта „Стив Наумов“ „Глигор Прличев - Размена на информации, заеднички активности и афирмација на градинката;

## VII. КУЛТУРНА ЈАВНА ДЕЈНОСТ

Активности од програмата за културно јавна дејност се важни затоа што придонесуваат за сестран развој на детската личност. Во текот на годината беа реализирани следните активности:

Активности ЗА и СО децата:

| Реализирани содржини | Објекти-реализација | Време реализација |
|---|---|---|
| ▪ Одбележување на почетокот на учебната година- добре ни дојдовте во градинка<br>▪ Одбележување на празникот 8ми септември<br>▪ Меѓународен ден без автомобили 22ри септември<br>▪ Движи се за здравје<br>▪ Ден на бабите и дедовците | сите објекти<br><br><br><br>Р.Е. Мимоза<br>Р.Е.Сончоглед и Калинка | **Септември** |
| ▪ **Детска недела**<br>✓ Мото на Детска недела „Другарството е дел од детската среќа“ - одбележана со музички, спортски, ликовни активности и хуманитарна акција<br>✓ Хуманитарна акција – „Од дете за дете “<br>✓ Ликовна работилница со родители<br>✓ Театарска претстава „Имам право на другарство“<br>▪ Одбележување на празникот 11ти октомври<br>▪ Одбележување на празникот 23ти октомври<br>▪ Одбележување на 16ти октомври – меѓународен ден на здравата храна | сите објекти | **Октомври** |
| ▪ Одбележување на 3ти ноември -Денот на Општината Гази Баба<br>▪ Одбележување на празникот 13ти ноември<br>▪ Учество во манифестацијата „Го градиме нашиот град“<br>▪ Приредби по повод испраќање на есента<br>▪ Тиквијада<br>▪ Учиме за рециклирање на отпадното масло | сите објекти | **Ноември** |
| ▪ Меѓународен ден на лицата со посебни потреби 3ти декември – куклена претстава „Палтенцето на малото Еже“<br>▪ Новогодишни празнувања<br>▪ Новогодишни претстави за деца “Дојде нова година со Поки и Поточиња“ | сите објекти | **Декември** |

| | | |
|---|---|---|
| ▪ Одбележување на народни обичаи и прослави по повод нашите празници: Коледе,Бадник,Божик,Василица,Водици<br>▪ Ден на мајчиниот јазик 21ви Февруари | сите објекти | **Јануари-Февруари** |
| ▪ 1ви март - Мартинки<br>▪ 8ми март- Денот на жената<br>▪ 21ви март – Прв пролетен ден<br>▪ Меѓународен ден на раскажувањето<br>▪ 22ри март –Меѓународен ден на водата<br>▪ Меѓународен ден на театарот<br>Претстава „Штурецот и марвката“<br>Претстава „Другарување“ | сите објекти<br><br>Р.Е.Мимоза<br>Р.Е.Сончоглед<br>Р.Е Калинка<br><br>Р.Е.Темјанушка<br>Сите објекти | **Март** |
| ▪ Априлијада<br>▪ Ден за поддршка на лицата со Аутизам - 2ри Април<br>▪ 22ри април - Ден на планетата Земја<br>▪ Велигденски работилници<br>▪ Светки ден на книгата 2ри Април<br>▪ Ден на танцот28ми Април | сите објекти | **Април** |
| ▪ Ден на македонскиот јазик – 5ти Мај<br>▪ Одбележување на 15ти Мај меѓународен ден на семејството<br>▪ Одбележување на 24ти Мај ден на македонските просветители<br>▪ Завршни приредби „Жолти чорапи“<br>▪ Доделување на дипломи „Збогум градинкае“ за децата кои од септември се првачиња | Сите објекти | **Мај** |
| ▪ 01.06 – Меѓународен ден на детето | сите објекти | **Јуни** |

**Изборни активности** за збогатување на интересите на децата

| Изборни активности | Објект | Број на групи |
|---|---|---|
| Мала балетска школа | Мимоза<br>Темјанушка1<br>Сончоглед<br>Калинка | 1<br>1<br>1<br>1 |
| Мала фудбалска школа | Мимоза<br>Темјанушка1<br>Сончоглед<br>Калинка | 2<br>2<br>1<br>2 |

## VIII.СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Континуирано стручното усовршување на вработените во установите за деца е важен предуслов за професионално и квалитено реализирање на воспитно-образовната дејност. Тоа придонесува за надградување на знаењата и капацитетите на воспитно – згрижувачкиот кадар, поттикнување на нивната креативност, мотивираност и подготвеност за поуспешно реализирање на активностите.

Во текот на програмската година стручното усовршување на вработените се реализираше низ следните форми:

- Семинари, стручни предавања, обуки и презентации;
- Консултација и разработка на стручна литература;
- Проекти
- Меѓусебна размен на добри практики и искуства,
- Информирање за актуелни прашана од областа на педагогијата и психологијата
- Лично стручно усовршување;
- Раборилници организирани од стручни институции, организации и интерно.

Во текот на годината се реалииpаа следните обуку и стручни предавања:

- **18.10.2023г**. – Интерана обука на тема „Организација и педагошка евиденција со деца до 24 месеци“ – ЈУДГ „Детска радост“ - Педагог
- **19.10.2022г**. – Project: Socio – emotional development for preschool children and as commendatiton for exemplary performance – EU Institute – Здружение за образовно истражувачки развој – Скопје
- **19.10.2022г. –** Обука на тема: „Подобрување на квалитетот на работата со деца со потешкотии во развојот и индивидуален пристап на секое дете„ – Друштво за консалтинг и услуги Балон-Би, Скопје
- **08.11.2022г**. – Едуино вебинар „Рана интервенција -Достапни опции и услуги (ICF)“ – Биро за развој на образованието, Скопје
- **09 и10.**11.2022г. – Спречување и борба на трговија со деца
- **24.11.2022г**. – Едуино вебинар – Стимулација на говор во рана возраст + Cboard – Биро за развој на образованието, Скопје
- **29.11.2022г**. – Едуино вебинар „Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + Водич за инклузивни практики
- **25.01.2023г.** – Интерна обука на тема: „Математиката во предучилишна возраст„ – ЈУДГ „Детска Радост“ – Педагог
- **28.02.2023г**. – обука на тема „Форми на модернизација во работата со надарени деца“ - Здружение на воспитувачи на Македонија
- **02.03.2023г** – Стручно предавање на тема „Помошни алатки за наставниците со цел подигање на инклузијата“ – МКФ
- **25.02.2023г.** – Обука на тема „Градење на капацитетите на негователите во предучилишните установи“ – Едуленд
- **03.04.2023г**. – Обука на тема „Култура на соработка во професионалните заедници за учење“ - Едуленд

- **10.04.2023г.** – Обука на тема „Добри практики и искуства во професионалните заедници за учење“ – Едуленд
- **24.04.2023г.** – Обука на тема „Модели и примери на успешна професионална заедница за учење“ – Едуленд
- **08.05.2023г.** – Обука на тема „Одржливост на функционирањето на професионалните заедници за учење“ – Едуленд
- **09 и 11.05.2023г.** – Дисеминација на обуката „Градење на капацитетите на негователите во предучилишните установи“ – ЈУДГ „Детска радост“ Гази Баба, ЈУДГ „8 ми Април“ Шуто Оризари и Едуленд
- **26.05. 2023** – Стручно предавање на тема „Развој на план за активно учество на семејството во предучилишното образование на нивните деца“- МТСП
- **16 и 19.06.2023г.** - Стручно предавање на тема „Развој на план за активно учество на семејството во предучилишното образование на нивните деца“- МТСП

И оваа програмска година посебно внимание посветивме на стручното усовршување преку реализирање на проекти. Проектите кои се реализираа придонесоа да се стекнат практични искуства за нови стратегии за работа со деца од предучилишната возраст и истите беа од интерен карактер.. Целите, задачите и активностите кои се реализираа во рамки на проектите се осмислуваа тимски, со цел унапредување на воспитно - образовниот процес. Преку реализација на проектите виспитувачите и негователите се надоградуваа во своите знаења, се стекнуваа и разменуваа практични искуства за нови стратегии на работа со деца од предучилишната возраст.

Се реализираа следните интерни проекти:

- Во светот на куклите;
- Инсекти;
- Растеме со музика учиме низ игра;
- Театарче Детска Радост.

# IX.РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ

## СТРУЧЕН СОВЕТ

Стручниот совет со својата работа придонесе за унапредување на дејноста на градинката, воведување на иновативни елементи во работата со децата и успешна соработка како на интерно ниво така и со надворешни лица, установи и институции. Стручниот совет го сочинуваа директорот на градинката и вработените кои ја вршеа стручната работа во градинката, а ги вршеше следните работи:

- ✓ Ги утврдуваше стручни основи за остварување на програмата за работа;
- ✓ Даваше мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата на работа и условите за работа;
- ✓ Именуваше претставник на детската градинка во управниот одбор од редот на вработените;

| време на реализација | работи кои ги реализира |
|---|---|
| **на годишно ниво** | ▪ Утврдува стручни основи за остварување на програмата;<br>▪ Дава мислење, предлози во поглед на организацијата на работа во објектите;<br>▪ Ги разгледува програмите и плановите за работа и превзема мерки за нивно извршување;<br>▪ Формирање на воспитни групи по објекти;<br>▪ Ги разгледува извештаите за извршен стручен надзор над реализирањето на програмите и предлага соодветни мерки;<br>▪ Ги утврдува потребите на објектите во игровен дидактички и друг материјал за работа со децата, како и потребите од основни средства и потрошен материјал за нормално одвивање на дејноста;<br>▪ Учествува во работата на советот на воспитувачи и советот на негователи. |
| **Септември-Декември** | ▪ Педагошка евиденција и администрација-насоки;<br>▪ Воспитно-образовна работа-план и програма;<br>▪ Формирање на воспитни групи;<br>▪ Јавна културна дејност и манифестации;<br>▪ Тековни прашања во објектите;<br>▪ Стручно усовршување на кадарот;<br>▪ Иновации во воспитно-образовниот процес. |
| **Јануари - Јуни** | ▪ Анализа за згрижувачката и воспитно образовната работа;<br>▪ Анализа за водење на педагошката евиденција и администрација;<br>▪ Анализа за реализирани теми;<br>▪ Концепции за завршни приредби;<br>▪ Концепти за работа во летниот период<br>▪ Годишен извештај за работа; |

## СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ

Советот на воспитувачи остваруваше бројни активности како: планирање и реализација на воспитно образовната програма, се договараше за реализирање на проектите и проектните активности, еко активности, посети, јавни манифестации, прослави, естетско уредување на објектите како и бројни тековни прашања кои произлегуваа од реализацијата на воспитно-образовната работа. Целокупните активности од доменот на своето работење ги насочи на унапредување на воспитно образовната дејност на установата и ги реализираше следните активности:

| Време на реализација | Реализирани активности |
|---|---|
| **Септември - Октомври** | ▪ Естетско уредување на работните единици;<br>▪ Планирање на воспитно-образовната програма;<br>▪ Програмски активности и содржини на почетокот на годината<br>▪ Договор за одржување родителски средби;<br>▪ Договор за стручно усовршување;<br>▪ Одбележување на празници и прослави;<br>▪ Детска недела-концепција за текот на активностите;<br>▪ Планирање и реализација на проекти и проектни активности;<br>▪ Водење на педагошка евиденција и документација; |
| **Ноември - Декември** | ▪ Договор за реализација на програмски активности;<br>▪ Испраќање на есента- есенски приредби;<br>▪ Тиквијада;<br>▪ Новогодишни празнувања;<br>▪ Планирање и реализација на проекти и проектни активности; |
| **Јануари - Февруари** | ▪ Договор за програмски активности;<br>▪ Анализа за реализација на воспитно-образовната работа во претходните месеци;<br>▪ Планирање и реализација на проекти и проектни активности;<br>▪ Договор за одржување родителски средби; |
| **Март - Април** | ▪ Договор за одбележување значајни денови, манифестации;<br>▪ Договор за пролетни приредби, креативни работилници, базари;<br>▪ Вклучување на родителите во активностите во градинката;<br>▪ Априлијата и Ден на планетата земја; |
| **Мај -Јуни** | ▪ Договор, концепција и организација за завршни приредба и испраќање на децата од завршните групи;<br>▪ Договор за одбележување значајни денови<br>▪ План за работа во летниот период;<br>▪ Средување на работните единици; |
| **Јули - Август** | ▪ Годишна анализа на воспитно образовната работа;<br>▪ Евалуација и самоевалуација; |
| **Континуирано** | Реализирање на воспитно-образовни активности со децата кои го поттикнуваат социо-емоционалниот, физичкиот и ментален развој кај децата, креирање на стимулативна средина, пријатна за престој и игра. |

## СОВЕТ НА НЕГОВАТЕЛИ

Советот на негователи реализираше активнсти за унапредување на работата со децата и создавање поволни услови за престој на децата во градинката Негувателите беа постојано вклучени во сите воспитно-образовни активности кои се реализираа во воспитните групи и дадоа свој придонес во унапредување на непосредната работа со децата. Тие беа задолжени и ја следеа здравствената состојба на децата, нивната задача беше превенција на штетните влијанија врз здравјето на детето.

| Време на реализација | Реализирани активности |
|---|---|
| **Септември - Октомври** | ▪ Организирање на згрижувачката и воспитна работа;<br>▪ Развивање на културно хигиенски навики кај децата;<br>▪ Естетско уредување на просториите за престој;<br>▪ Учество во подготовките во реализација на детската недела, приредби, претстави, прослави;<br>▪ Учество во проекти и проектни активности; |
| **Ноември - Декември** | ▪ Учество во есенски приредби и Тиквијада;<br>▪ Учество во реализација на проекти и проектни активности;<br>▪ Учество во одбележување на празници и прослави;<br>▪ Учество во подготовките и прославата за нова година;<br>▪ Изработка на средства за украсување на просторот; |
| **Јануари - Февруари** | ▪ Анализа за реализација на згрижувачката и воспитна работа во претходните месеци;<br>▪ Учество во реализацијата на еко активности; |
| **Март - Април** | ▪ Одбележување на 1ви март, 8ми март; 21ви март;<br>▪ Изработка на средства за украсување на просторот;<br>▪ Априлијада;<br>▪ Велигденски празнувања; |
| **Мај - Јуни** | ▪ Учество во подготовка на завршни приредби и испраќање на децата;<br>▪ Годишна анализа за реализација на згрижувачката и воспитна работа; |
| **Јули - Август** | ▪ Договор за работа во летниот период; |
| **континуирано** | ▪ Следење на здравствената состојба на децата во групата;<br>▪ Редовна грижа за хигиената на играчките и постелнината;<br>▪ Создавање на навики за исхрана на децата и културно однесување;<br>▪ Учество на прослави, приредби и манифестации на кои учествуваат децата;<br>▪ Лично стручно усовршување преку следење на соодветна литература. |

## X. ДРУГИ РАБОТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

### ➢ Здравствена дејност

Целта на здравствената заштита на децата е издигање на здрава и правилно психофизички развиена личност и превенција на штетните влијанија врз нејзиното здравје. Здравствената дејност на градинката опфаќаше:

- ✓ контрола и надзор на објектите;
- ✓ систематско следење на растењето, развитокот, здравствената состојба и матурацијата на психомоториката;
- ✓ грижа за дневниот режим прилагоден на возраста и физиолошките особини на децата
- ✓ грижа за безбедност на храна и правилна исхрана на децата.
- ✓ континуирано следење на работата на главната кујна и дистрибутивните кујни;
- ✓ грижа за дневниот режим прилагоден на возраста и физиолошките особини на децата;
- ✓ санитарно хигиенски активности;
- ✓ санитарни и систематски прегледи на вработените;

Во текот на година секојдневно се вршеше дезинфекција на приборот за јадење, играчките, санитарните јасли и просториите во кои што престојуваат децата, истите редовно се чистеа и проветруваа, а на секои 6 месеци се вршеше ЗД ( дезинфекција, дератизација и дезинсекција) на градинката.

Се настојуваше кај децата да се формираат и здрави животни навики преку развивање на правилен однос, стекнување знаења и практикување на здрав начин на исхрана како и континуирана физичка активност и престој на отворено. Во соработка со Црвениот крст на Општина Гази Баба како и во соработка со Здравствениотт дом во Автокоманда во текот на годината се реализираа неколку едукативни работилници со децата. Истите имаа за цел преку игри и активности кај децата да се равиваат правилни културно – хигиенски навики и зачувување на нивното здравје.

Континуирано во текот на годината се следеше здравствената состојба на децата. При приемот на децата во градинка од страна на родителите беа доставувани потврди од матичен лекар дека детето е здраво и може да посетува градинка. Доколку за време на престојот на детето во градинката се забележеше промена на здравствената состојба веднаш се информираа родителите и детето се испраќаше со пополнета белешка (изјава за појава на болест) од досието на детето, а истата требаше да биде дополнета и заверена од матичниот лекар по извршен преглед и повторно вратена во градинка дента кога детето ќе продолжи да ја посетува градинка.

Во текот на годината установата во неколку наврати имаше инспекциски надзори од страна на санитарна инспекција и од страна на агенцијата за храна и ветеринарство при што немаше забелешка од нивна страна за работата на градинката.

Носители и извршители на мерките за здравствената заштита беа директорот, раководителот, воспитувачите, негувателите како и сите вработени во детската градинка. За комуникација со Центарот за јавно здравје и доставување на податоци беше задолжен раководителот и директорот на градинката.

Во текот на годината за реализација на мерките за здравствената заштита остваривме соработка со:

- Министерството за здравство
- Центарот за јавно здравје
- Агенција за безбедност на храна
- Државен здравствен и санитарен инспекторат
- Амбуланта Автокоманда
- Детските градинки од градот и пошироко

## ➢ Ресурси за реализирање на дејноста

Материјалната политика и финансовото одржување во детската градинка се реализираше по два основи:

- ❖ Наменски блок дотации финансирани од буџетот на Р.С.М и буџет на општина Гази Баба
- ❖ Сопствени приходи - уплата од корисници на уплати

**Наменски блок дотации**

Финансирањето на детската градинка се вршеше согласно буџетот на Р.С.Модносно врз основа на Методологијата за распределба на наменски блок дотации за јавните установи (Сл.весник на РМ бр.114/09)

- плати и надоместоци за вработените
- договорни услуги
- трошок за стоки и услуги-затоплување на објектите
- тековно и капитално одржување на објектите

Обезбедување на наменски блок дотации се врши со годишни и квартални планови кои се изготвуваат во соработка со Секторот за финансии и буџет на општина Гази Баба.

**Сопствени приходи**

Сопствените приходи се остваруваа врз основа на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца и износот на надоместокот на трошоците за престој во установата (Сл.весник на Р.С.М бр. 78/04).

**Избор на најнеопходни работи за одржување на објектите**

Секој објект поединечно има приоритетни потреби за тековно - инвестиционо одржување особено поради староста на објектите и времетраењето на користење. Во текот на годината се реализираа најприоритетните работи за реновирање заради обезбедување на добри услови за престој на децата во истите.

Минатата година се извршија повеќе градежни работи по објектите, па така е планирано и оваа година да се подобри нивната состојба.

- Во сите објекти се обезбедија нови чешми, тоалет шољи и казанчиња во тоалети за возрасни и деца и беа отстранети дефектите;
- Во сите објекти се поправише електричната инасталација, особено во објект Сончоглед каде електирчната инсталација беше дотраена и се обезбедија нови плафоњерки со лед сијалици;
- Во објект Калинка се обезбеди нов домофон,
- Во главната кујна во објект Калинка се обезбеди нова кујнска опрема;
- Во сите објекти се обезбедија 6 нови индустриски правосмукалки;
- Во објекти Мимоза, Калинка и Темјанушка се обновија дел од вратите;
- Во објект Мимоза и Темјанушка се обезбеди дел нова постелнина;
- Во објект Сончоглед се обезбеди реквизит за во двор;
- Во објект Мимоза се санираше дел од покривот, се варосуваше цел внатрешен дел и дел од фасадата;
- Во објект Сончоглед се обезбедија три индустриски машини за перење веш со што се олесни работата на пералната зошто претходните машини за перење веш биле 40 години стари и постојано се расипуваа;
- Се обезбедија бебешки креветчиња за јаслените групи во објект Сончоглед;
- Во сите објекти се обезбеди хортикултурно уредување;
- Во сите објекти се обезбеди дидактички материјали;
- На сите вработени им се обезбеди униформа и обувки;
- Се изврши поправка, чистење и санација на целокупната инсталација за парно во објект Мимоза;
- Се санираа дел од ѕидовите во обект Темјанушка и Сончоглед

**Градинка со насмевка за добредојде!**

**Директор**
**Анета Петровска**

_____

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Анета Петровска

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, предложена од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.04-304/5 од 10.08.2023 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје достави Предлог - Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за учебната 2023/2024 година, предложена од управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.04-304/5 од 10.08.2023 година.

Согласно член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата, "Управниот одбор на јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој: - предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината и на општината во градот Скопје".....

Одлуката на управниот одбор е дадена во прилог на материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Јавната установа за деца - Детска градинка „Детска Радост"
Општина Гази Баба – Скопје ул. „Бапчор" бр. 2, Скопје.
тел.: +389 2 3173 633

Согласно член 116 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и („Службен весник на Р.С.М" бр. 104/19, 146/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 27 од Статутот на Јавната установа за деца – Детска градинка „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на ден 10.08.2023 год. донесе

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"Детска Радост" Општина Гази Баба
Бр. 04 - 304/5
10.08.2023 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**
**за донесување Годишна програма**

Се донесува Годишната програма за работа на јавната установа за деца – Детска градинка „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, за период 2023/2024 година.

Согласно Законот за заштита на децата и Статутот на ЈУДГ „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, Годишната програма за работа да се достави до Советот на општина Гази Баба.

Претседател на Управен одбор
Елена Мисајловска

Јавна установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Општина Гази Баба Република Македонија СКОПЈЕ

**Јавна установа за деца - Детска градинка**
**„ДЕТСКА РАДОСТ“**
**- општина Гази Баба – Скопје**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА “ДЕТСКА РАДОСТ“- СКОПЈЕ ЗА 2023/24 ГОДИНА

**- Септември – 2023 година -**

**Содржина:**


**ВОВЕД** 3

1. **ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТНО ВРЕМЕ** .....4
2. **ПРОГРАМА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА**.....11
3. **РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИ**.....34
4. **РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ И СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ**.....35
5. **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ**.....56
6. **СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА**.....62
7. **КУЛТУРНА – ЈАВНА ДЕЈНОСТ**.....63
8. **СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**.....65
9. **РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ**.....66
10. **ДРУГИ РАБОТИ ЗА ОСТВАРУВАЊА НА ДЕЈНОСТА**.....71

***МИСИЈА***:Детството на децата да го направиме поубаво и повесело. Со многу доверба и внимание, со љубов и почитување на детските права, со негување и поттикнување на детскиот развој, да ги пораснеме децата во здрави личности подготвени за живот**.**

**ВИЗИЈА:Да бидеме градинка во која со целата своја професионалност ќе им овозможи на децата безбедна, содржински богата и стимулативна средина за игра учење и развој. Градинка која преку партнерски однос со родителите, стручните лица и локалната заедница, ќе придонесе секое дете да се чувствува сакано, почитувано, охрабрено да го развие својот потенцијал, градинка која ќе ја негува почитта кон различностите.**

**ЦЕЛ: Да се биде дел од нечија идна биографија значи на најдобар начин да се оствари нашата хумана цел во сегашните и идни генерации во градинката**

**.**

***СТРАТЕГИЈА*: Остварување на програмските задачи преку планирање и организирање на едукативна и стимулативна средина во која постепено преку организиран систем на содржини ги обликуваме младите генерации во племенити и хумани личности.**

**МОТО: Куќа на среќно детство.**

## ВОВЕД

**Јавната установа за деца-Детска градинка „Детска Радост“- општина Гази Баба-Скопје** претставува јавна воспитно-образовна институција која организира згрижување, престој, нега, исхрана воспитно образовни, спортско – рекреативни, културно - забавни активности на деца од осум месеци до поаѓање на училиште. Градинката своите програмски цели и задачи ги реализира согласно законските одредби:

- Уставот на Република Северна Македонија
- Законот за заштита на децата
- Програмата за рано учење и развој
- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца
- Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата
- Министерството за труд и социјална политика
- Министерството за образование и наука
- Бирото за развој на образованието
- Општината Гази Баба
- научните и стручни институции.

Раното детство е најкритична фаза од човечкиот развој. Тоа е периодот кога се воспоставуваат клучните врски и се постигнуваат клучните развојни процеси се до предучилишната возраст и преминот во училиште. Настанува промена, брз физички и ментален раст. Децата учат да се движат, да комуницираат, да имаат интеракција со светот и да развијат чувство на личен и културен идентитет.

Умешноста да се препознаат потребите на децата, да им се понудат и пренесат знаења на соодветен начин, приспособен на нивните развојни и возрасни карактеристики е предизвик за секој кој е вклучен во процесот на воспитание и образование на предучилишните деца. Во градинката се создава поттикнувачка средина, се одредува амбиент преку која се водат децата во воспитно – образвониот процес.

Градинката „Детска Радост“ ќе понуди содржински богата воспитно - образовна програма која со континуирано и планирано воспитно-образовно влијание кај децата ќе се развива физичкото здравје и моторниот развој, ќе се поттикнува и развива говорот и нивното сознајно искуство, ќе се работи на формирање на хигиенски, културни и работни навики, а децата ќе ја задоволуваат својата потреба за игра, движење, дружење со врсници, ќе ја негуваат и развиваат својата љубопитност, креативност и творечки потенцијали.

Програмата го застапува холистичкиот пристап во поттикнување на раното учење и развој на детската личност во сообразност со психофизичките карактеристики и индивидуалните можности на детето.

Исто така претставува значајна поддршка на семејството во згрижување и воспитување на децата. Соработката со родителите и поширокатa општествена средина, преку планирање и организирање на заеднички активности ќе придонесе за осовременување на воспитно-образовната работа и условите за престој на децата.

## 1. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТНО ВРЕМЕ

Градинката претставува поволна општествена и материјална средина во која детето непречено се развива. Преку организирани активности соодветни за нивната возраст на децата им се овозможува да го истражуваат светот, да се чувствуваат сигурни, прифатени и среќни.

Организационата и програмска поставеност на установата опфаќа згрижување, престој, нега, исхрана воспитно образовни, спортско – рекреативни, културно - забавни активности на деца од осум месеци до поаѓање на училиште. Севкупните активности во градинката се насочени кон подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на децата.

Јавната установа за деца „Детска Радост“ својата дејност во текот на програмската 2023/24 година ќе се реализира во пет објекти:

- Објект Мимоза
- Објект Сончоглед
- Објект Темјанушка 1
- Објект Темјанушка 2
- Објект Калинка

**Објектот Мимоза** се наоѓа на ул.Бапчор бр.2 во населбата Автокоманда и е наменски изграден објект од тврда градба во употреба од 1972 година. Опфаќа корисна површина од1532,12 m/2 и дворна површина од1222,88m/2. Проектиран капацитет за опфат на деца е 150 деца. Во објектот ќе бидат опфатени деца од две години до поаѓање на училиште распоредени во шест воспитни групи.

**Објектот Сончоглед** кој се наоѓа на ул. Јани Лукровски бр.4 во населбата Автокоманда е наменски изграден објект од тврда градба во употреба од 1979 година, а истиот во 2010 година е реновиран во енергетски ефикасен. Опфаќа корисна површина од 1200,00$m^2$ и дворна површина од 3600,00$m^2$. Има проектиран капацитет за опфат на 180 деца. Во објектот ќе бидат распоредени деца во две воспитни групи од 8-24 месеци и во шест воспитни групи од 2 - 6 години.

**Објектот Темјанушка 1** кој се наоѓа на ул.Јани Лукровски бр.6 во населбата Автокоманда е наменски изграден објект од тврда градба во употреба од 1964 година. Опфаќа корисна површина од 604,41 $m^2$ и дворна површина од 1750,00$m^2$. Има проектиран капацитет за 100 деца. Во објектот ќе бидат опфатени деца од две години до поаѓање на училиште распоредени во пет воспитни групи од 2-6 години.

**Објектот Темјанушка 2** кој се наоѓа на ул. Јани Лукровски бр.6 во населбата Автокоманда е наменски изграден објект од тврда градба во употреба од 1978 година. Опфаќа корисна површина од 400,00 $m^2$, а ја користи истата дворна површина со објектот Темјанушка 1. Има проектиран капацитет за 30 деца. Во објектот ќе бидат распоредени деца во две воспитни групи на возраст од 8-24 месеци

**Објектот Калинка** кој се наоѓа на ул.Гемиџиска бб. во населбата Железара е наменски изграден објект од тврда градба во употреба од 1985 година. Опфаќа корисна површина од1454,13$m^2$ и дворна површина од 3213,00$m^2$. Има сегашен капацитет за згрижување на 191 дете. Во објектот ќе бидат опфатени деца од осум месеци до поаѓање на училиште распоредени во девет воспитни групи од кои две помали возрасни групи од 8-24 месеци и седум воспитни групи од 2-6 години.

## 1.1. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Сите работни единици на градинката овозможуваат добри и безбедни услови за престој, игра, исхрана, забава и попладневен одмор на децата. Објектите се наменски градени од тврда градба и8 се во согласност стандардите и нормативите за вршење на дејноста. Во текот на годината континуирано ќе се работи на подобрување на условите за престој на децата, осовременување на простотот и надополнување на просториите за престој на децата со опрема и дидактички материјал согласно финансиските можности на градиниката.

Добро организираниот и функционален простор во сите објекти создава пријатна атмосфера за престој на децата и непречено одвивање на дејноста. Секој од објектите располага со простории за престој на децата - занимални, тоалети, простории за прием, гардаробери за деца, мултифункционална сала, канцеларија за вработените, лекарска соба, просторија за индивидуална работа со деца. Само во објектот Мимоза постои трпезарија за децата. Секој од објектите поседува и соодветни дворни површини во кои редовно ќе се врши одржување на зеленилото и кои се опремени со реквизити за игра на соодветни за децата од градинката.

**Просторни услови за реализирање на дејноста**

| Ред.бр. | Вид на просторија | Број |
|---|---|---|
| 1. | Занимални за деца до 2 години | 6 |
| 2. | Спални за деца до 2 години | 1 |
| 3. | Занимални за деца од 2 до 6 години | 24 |
| 4. | Гардероби | 7 |
| 5. | Фискултурни сали | 1 |
| 6. | Посебни простории за дидактика | 1 |
| 7. | Отворена занимална-тераса | 11 |
| | **Вк у п н о** | **52** |

**Простории за општествена и педагошка дејност**

| Ред.бр. | Вид на просторија | Број |
|---|---|---|
| 1. | Административни простории | 6 |
| 2. | Простории за стручен кадар | 7 |
| 3. | Простории за културно уметнички приредби | 1 |
| 4. | Повеќенаменски простории | 3 |
| | **В к у п н о** | **17** |

**Просторииза здравствени и санитарни потреби и други потреби**

| Ред.бр. | Вид на просторија | Број |
|---|---|---|
| 1. | Простории за прием и испраќање на децата | 13 |
| 2. | Простории за лекарски прегледи-изолација | 3 |
| 3. | Кујна | 4 |
| 4. | Трпезарија | 1 |
| 5. | Скали | 2 |
| 6. | Санитарно-хигиенски простории | 36 |
| | **В к у п н о** | **63** |

**Дворни и други површини**

| Ред.бр | Вид на просторија | Број |
|---|---|---|
| 1. | Уредени дворни површини /хортикултурни/ | 4 |
| 2. | Неуредени дворни површини | / |
| 3. | Уредени детски катчиња со детски справи, играчки и др.детски реквизити | 4 |
| | **Вк у п н о** | **8** |

Амбиентот и просторот овозможува лесна организација и прилагодување на разновидни потреби како и оптимални услови за остварување на воспитно–образовната работа.

.

**Опрема и мебел за деца во јаслените групи**

Опремата и мебелот за децата од детските јасли во сите објекти ги задоволува потребите на децата, како и нормативите кои се предвидени за таа возраст. Во занималните во кои престојуваат децата од 8-24 месеци има доволно простор за слободни движења, лазење и проодување на децата. Има креветчиња, масички и столчиња соодветни на возраста на децата, како и шкафчиња за сместување на облеката и инвентарот на децата. Секоја занимална располага со сопствен санитарен јазол и опрема соодветна на потребите на децата. Во продолжение на некои од занималните има тераса со заштитна ограда за престој на чист воздух и изведување игри и игровни активности предвидени со програмата.

**Опрема и мебел за деца во градинка**

Опремата и мебелот во просториите кои се наменети за престој на деца од 2 до 6 години во сите објекти ги задоволуваат потребите на децата и се усогласени според нормативите за вршење на дејноста. Сите занимални се опремени со основна опрема: плакари, масички, столчиња, креветчиња, шкагчиња, детски гардаробери, санитарен јазол со елементи соодветни за децата како и друг помошен инвентар. Во секоја од занималните постојат наменски опремени простории - катчиња кои се опремени со соодветни дидактички и игровен материјал соодветен за возраста на децата кои престојуваат во просторијата. И годинава ќе се настојува да се направи надополнување и обновување на дидактичкиот материјал според финасиските можностина градинката.

Покрај просториите за престој на децата сите објекти имаат мулти фукционална сала која се користи за спорт и рекреација, музички активности, приредби, претстави и други програмски активности. Во рамките на секој од објектите постои лекарска соба како и други помошни простории.

Во рамките на секој објект постојат кабинетски библиотеки кои располагаат со стручна литература од областа на педагогијата, психологијата како и стручна литература за деца. Стручниот тим на градинките континуирано се грижи за фондот на стручна педагошка и психолошка литература, со што се обновува според потребите на тимот и децата. Стручната литература е неопходна за усовршување на кадарот, за креативно и успешно реализирање на програмата во градинката, затоа и оваа година библиотеките ќе се надополнуваат со нови литературни наслови од областа на педагогијата и психологијата, приручници, сликовници, приказни и драмски текстови, енциклопедии за деца и сл.

Секој од објектите располага и со просторија за индивидуална и групна работа со деца. Просториите се користат од страна на стручните работници и во нив се реализираат индивидуални и групни логопедски и дефектолошки третмани со децата со атипичен и типичен развој.

## 1.2.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО

Својата работа градинката ќе ја остварува според програми за остварување на дејноста, кои според времетраењето можат да бидат програми за:

- ✓ Целодневен престој
- ✓ Полудневен престој

- ✓ Вонинституционални форми, кратки програми на активности наменети за опфат на деца кои не посетуваат градинка.

Согласно потребите на родителите и капацитетот на градинката оваа програмска година ќе се реализира Програма за целодневен престој која опфаќа згрижување и воспитување на деца од 9 до 11 часа дневно и е наменета за деца од осум месеци до шест години односно до поаѓање на училиште.

Во текот на денот следејќи го биоритамот на детето ќе се реализираат разновидни воспитно - образовни активности како: насочени, слободни и изборни програмски активности чија динамика и временска рамка во текот на денот зависи од возраста на децата нивните желби и потреби.

**Организација на денот во групите за деца од 8 до 18 месеци**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| Прием на деца и слободни активности | до 8.15 |
| Подготовка за појадок и појадок | 8.30 |
| Тоалет | 9.00 |
| Реализација за дневно планирање | 9.30 |
| Ужинка | 10.00 |
| Слободни игри и престој на воздух | 10.30 |
| Тоалет, подготовки за ручек | 11.00 |
| Ручек | 11.30 |
| Миење раце и подготовка за одмор | 12.00 |
| Пасивен одмор –спиење | 12.30 |
| Ужинка | 14.30 |
| Слободни игри | 15.00 |
| Заминување на децата | до 18.00 |

**Организација на денот во групите за деца од 18 до 24 месеци**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| Прием на деца и слободни активности | до 8.15 |
| Подготовка за појадок и појадок | 8.30 |
| Реализација за дневно планирање | 9.00 |
| Ужинка | 10.00 |
| Слободни игри и престој на воздух | 10.30 |
| Тоалет, подготовки за ручек | 11.00 |
| Ручек | 11.30 |
| Миење раце и подготовка за одмор | 12.00 |
| Пасивен одмор –спиење | 12.30 |
| Ужинка | 14.30 |
| Слободни игри | 15.00 |
| Заминување на децата | до 18.00 |

**Организација на денот во групите за деца од 2 до 4 години**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| Прием на деца и слободни активности–игри по избор на децата | до 8.15 |
| Утринска гимнастика | 8.15 |
| Појадок | 8.30 |
| Реализација за дневно планирање | 9.00 |
| Ужинка | 10.00 |
| Реализација за дневно планирање | 10.30 |
| Прошетки,набљудувања и престој на воздух | 11.00 |
| Ручек | 12.00 |
| Пасивен одмор –спиење | 12.45 |
| Ужинка | 14.45 |
| Реализација на дневно планирање | 15.15 |
| Слободни игри | 16.30 |
| Средување на занималните | 17.30 |
| Заминување на децата | до 18.00 |

**Организација на денот во групите за деца од 4 до 6 години**

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| Прием на деца и слободни активности–игри по избор на децата | до 8.15 |
| Утринска гимнастика | 8.15 |
| Појадок | 8.30 |
| Реализација за дневно планирање | 9.00 |
| Ужинка | 10.00 |
| Реализација за дневно планирање | 10.30 |
| Прошетки,набљудувања и престој на воздух | 11.15 |
| Средување на занималната | 12.00 |
| Ручек | 12.15 |
| Пасивен одмор –спиење | 12.45 |
| Ужинка | 14.30 |
| Реализација на факултативни програми-програма по избор на родителите и децата (јазик, балет,спорт…) | 15.00 |
| Реализација на дневно планирање | 15.30 |
| Слободни игри | 16.45 |
| Средување на занималните | 17.30 |
| Заминување на децата | до 18.00 |

Севкупните активности кои се реализираат во градинката во текот на денот се организираат со цел задоволување на детските физиолошки потреби, подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој кај децата.

## 2. ПРОГРАМА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Воспитно – образовната работа во градинката се изведува според националните програми:

- **Програмата за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој;**
- **Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот;**
- **Програма за едукација на децата од предучилишната возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна;**
- **Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.**

**Програмата за рано учење и развој** се базира на Стандардите за рано учење и развој кои претставуваат ориентациона рамка – што децата треба да знаат и умеат да направат на одредена возраст во секој развоен домен. Поаѓајќи од водечките принципи и вредности за развој на стандардите за рано учење и развој на децата, фокусот е на поврзаноста на развојните домени, односно комплеметарноста на целите, содржините и методите на активностите. Активностите се насочени кон поттикнување на детскиот развој во процесот на учење. Важно е почитување на детската природа, неговите индивидуални потреби, љубопитност, социјабилност, комуникациски вештини, когнитивен и креативен потенцијал. Овие определби овозможуваат родителите и стручите лица заедно и усогласено, стимулативно да влијаат на раното учење и развој на децата, на успешен воспитно – образовен процес, како основа за напредок во текот на целото понатамошно живеење

**Програмата за рано учење и развој на децата со посебни потреби** од предучилишна возраст се однесува на деца кои покажуваат одредени развојни нарушувања и се вклучени во редовните воспитни групи во установата. Програмата се одвива преку две програми кои меѓусебно се поврзани и синхронизирани:

- едукативна програма - чиј предмет е воспитание и образование на децата со забавен психомоторен и говорен развој, која се заснова на програмата за рано учење и развој, но е модифицирана според можностите и потребите на детето.
- програма за рехабилитација - која се спроведува за спречување, намалување или отстранување на попреченоста која го ограничува целокупниот развој на личноста.

Тоа е систем на постапки и специјални методи со кои се влијае на развојот на личноста. Со оваа програма се влијае, пред се на психомоторната структура на овие деца и со тоа се зголемува можноста за нивен понатамошен развој.

Едукативната и рехабилитацискатa програма се спроведуваат паралелно, синхронизирано и корелативно преку единствениот процес на рехабилитација.

Во градинката се спроведува само едукативната програма додека рехабилитацискатa програма се реализира надвор од градинката во простор и услови кои одговараат на потребите и можностите на детето.

**Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна,** е со цел децата уште од најрана возраст да формират здрави навики во исхраната, кои најлесно се формираат ако децата активно се вклучени во процесот на одгледување на некои видови зеленчук и овошје. Сознанијата добиени на тој начин, се трајни и применливи, бидејќи создаваат основа за суштински правилно поставен однос кон природата и духовните вредности неопходни во животот на секоја личност.

**Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем** ги опфаќа децата, родителите, воспитно- згрижувачкиот и техничкиот персонал со цел подигање на свеста за заштита на животната средина и имплементирање на седумте чекори од еко менаџмент. Со оваа програма кај децата уште од најрана возраст се развива љубов и грижа кон природата. Преку запознавање на децата зошто е важно да се грижиме за природата, да штедиме енергија и вода, да го селектираме отпадот и да не ја загадуваме природата и вклучување на децата во овие активности во градинката создаваме посовесни идни генерации. Во рамки на оваа програма во текот на годината ќе се реализираат неколку еко акции и кампањи за подигање на свеста на поширокатa околина.

Воспитно образовната програма на установата се темели на уверувањето дека децата најдобро напредуваат кога директно се вклучени во процесот на планирање и реализирање на активностите.Внимателно испланираната активност ги поттикнува децата да иницираат,да истражуваат,и да го осознаваат светот околу себе.Имајќи в предвид дека малите деца се развиваат холистички, воспитно образовната работа треба да се планира и реализира интегрирано. При планирањето воспитувачот јасно и прецизно ги дефинира кои стандарди во кои домени на развој сака да ги достигне. Согласно на тоа ги определува целите на воспитно образовната работа,а потоа определува активности со кои најефикасно ќе ги реализира определените цели и ќе ги достигне стандардите.

Воспитниот тим треба да има големо познавање за развитокот на детето,да постави цели соодветни за секое дете одделно,но и за групата како целина,да одговори на интересите на децата,да обезбеди материјали за реализирање на темата-содржината,да ги почитува индивидуалните потенцијали и потреби на секое дете,да ја потикне љубопитноста кај малите деца и да негува заедничко учење.

Градинката понудува и изборни активности кои претставуваат надополнување на програмата на градинката и се со цел за задоволување на интересот на децата и родителите и ќе се реализираат во соработка со надворешни стручни соработници. Како изботни ааактивности ќе се понудат:

- мала танцова школа,
- мала фудбалска школа
- други активности по иницијатива на родителите

**Принципи вградени во програмскиот дел за воспитно-образовната работа:**

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на Мултикултурализам;
- Принцип на демократичност;
- Принцип на доминација на игра и прицип на поврзување со животната реалност;
- Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување;
- Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принципнаиндивидуализација;
- Принцип на целосност и интегритет;
- Принцип на отвореност на воспитно - образовниот процес;
- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој;
- Принцип на развојно-процесенпристап;
- Принцип на критичко вреднување;
- Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РАЗВОЈНИ ДОМЕНИ




## ШТО ТРЕБА ДА ПОТТИКНЕМЕ КАЈ МАЛИТЕ ДЕЦА

## 2.1. ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКА РАБОТА ВО ПОМАЛИТЕ ВОЗРАСНИ ГРУПИ ОД 8 – 24 МЕСЕЦИ

Во периодот од раѓање до втората година развојот на децата се одвива многу брзо затоа возрасните кои се вклучени во грижата и негата на малите деца треба да го поттикнат раното учење и развој преку игра и секојдневните рутински постапки. На тој начин се овозможува интеракција на децата со возрасните и околината, а со тоа го поттикнуваме нивниот развој и осознавањето на светот околу себе.

Грижата за децата од најмалата возраст во градинката се одвива во детските јасли кои згрижуваат деца од 8 месеци до 24 месеци распределени во две јаслени возрасти: прва јаслена група која ќе опфаќа деца од 8-18 месеци и втора јаслена група која ќе опфаќа деца од 18-24 месеци. Континуирано во текот на годината ќе се настојува на јасленитe деца да им се обезбеди правилна нега, исхрана, пријатна едукативна средина за престој, игра и развој.

Воспитно-згрижувачката работа ќе се реализира врз основа на Програмата за рано учење и развој на која се темели Годишната програма за работа на градинката, а ќе ја реализираат негувателите во секоја јаслена група со помош и поддршка на стручниот тим на градинката. Работата со децата од помалите возрасни групи од 8 – 24 месеци опфаќа:

- Нега на децата
- Превентивно – здравствена заштита
- Воспитно влијание
- Влијание на сите аспекти на детскиот развој (здравје и моторен развој; социо-емоционален развој; пристап кон учење; комуникација и развој на писменост; когнитивен развој)

Во програмската година која ни следува приоритет во групите во кои се згрижени деца до 2 годишна возраст ќе биде создавање на пријатна, стимулативна средина во која детето на непосреден начин преку игра ќе се здобива со искуства и постепено со организиран систем на содржини, методи и стратегии успешно ќе се подготвуваат за осознавање и откривање на себеси и својата околина.

Воспитно-образовните активности со децата до две годишна возраст ќе се одвиваат континуирано во текот на целиот ден, а се базирани на дневните рутини (спиење, јадење, пресоблекување) во градинка. Тие се поделени во следните рутински активности:

- Ајде да јадеме
- Ајде да бидеме чисти
- Ајде да патуваме –движење на телото
- Ајде да раскажуваме приказни
- Ајде да се одмориме
- Ајде да се поздравиме

Во овој период децата сакаат да ги повторуваат активностите кои им се забавни и интересни. Учат нови работи на индивидуален начин. За да развијат одредени вештини треба многу да „вежбаат„ па затоа активностите со малите деца треба постојано да се повторуваат. Ќе се настојува дел од времето кои децата го поминуваат во градинка да го поминат на отворено на терасите кои ги имаат јасленитe групи или пак во прошетки во дворот на градинката.

## Развојни цели по домени за период до 2 години

### Домен: Пристап кон учењето

- Да се поддржува интересот на детето за постојано стекнување на нови искуства;
- Да се поддржува љубопитноста и задоволството во истражувањето на нови предмети;
- Да се поддржува самостојноста во одредени активности на детето во согласност со развојните можности;
- Да се мотивира за учење на нови работи преку игра;
- Да се развива интересот кон лугето и предметите во непосредната околина;
- Да се поддржува иницијативноста и индивидуалноста во изборот на играчките и материјалите низ процесот на учење.

### Домен: Здравје и моторен развој

- Да се оспособи детето да седи и да се движи користејќи ги предметите околу себе;
- Да се оспособува детето да ги користи рацете и нозете за промена на положбата на телото;
- Да се поттикне да ги извршува основните сложени активности: седење, станување, клекнување, одење;
- Да се оспособува за ориентирање во просторот во однос на објектите околу него;
- Да се оспособи да го менува правецот на движење со цел;
- Да се оспособи да турка и влече предмети и играчки кога оди;
- Да се оспособи да се протнува и провлекува под подвижни и неподвижни објекти;
- Да се развива способност да ги заобиколува поставените предмети.

### Домен: Социо - емоционален развој

- Да се поттикнува детето да воспоставува емоционални врски со еден или повеќе возрасни лица и да се развива чувство на сигурност;
- Да се оспособува да го збогатува социјалното искуство од кругот на семејството кон средината која го опкружува;
- Да се поттикнува да ја развива способноста да разбере и препознае мимики, гестови, изрази на лице, боја на глас на познати возрасни;
- Да се поттикнуваат културно хигиенските навики;
- Да се поттикнува интересот за другите деца во групата;
- Да се поттикнува препознавање на некои манифестации на однесувањето на другите (радост,тага,лутина).

### Домен: Јазик, комуникација и развој на писменост

- Да се поттикнува да реагира кога слуша познат глас;
- Да се поттикнува да произведува гласови, да вокализира, гуга и сл.;
- Да се поттикнува за повторување на кратки вербални пораки;
- Да се поттикнува на способности за комуникација, вербална и невербална (со возрасните, меѓу самите деца, во симболичка игра);
- Да се развиваат способности за зборување преку составување на реченици од 2 - 3 збора;
- Да се поттикнува за поврзување на зборовите со одредени предмети и личности;
- Да се развива способност за објаснување на дадена слика со користење на 3-4 зборови.
-

## Домен: Когнитивен развој

- Да се поттикнува детето на користење на сетилата при запознавање и откривање на непосредната средина, предметите, алатките, играчките и основите на позабележителните појави;
- Да се поттикнува интерес и воочување на едноставни активности со причинско-последични врски;
- Да се поттикне интерес за користење на едноставни алатки во извршување на одредени активности;
- Да се поттикнува интересот за откривање;
- Да се поттикне и поддржува потребата за осамостојување при учество во едноставни активности.

### 2.2. ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА ВО ГРУПИ ГРАДИНКА

Воспитно – образовната работа со децата од две до шест години се заснова на Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој. Програмата се базира врз меѓусебната поврзаност на различните развојни домени кај децата (физичкиот, социо - емоционален развој, развој на јазикот и когнитивните капацитети како и пристапот кон учењето) во една холистичка целина, препознавајќи го детето и неговата интеракција со социјалната средина.

Планирање и реализирање на воспитно образовната програма со децата од две до шест години е задача на воспитувачот кој заедно со стручниот тим ги планираат активностите. Воспитно - образовните активности со децата ќе се релизираат со интегрирање на содржините од различните развојни домени. Програмата овозможува воспитувачот самостојно да ги избира активностите согласно развојните и индивидуалните потенцијали на децата во воспитната група која ја води. Играта претставува основно средство, метод, форма за учење и развој. Децата можат да учат низ меѓусебната комуникација, да екпериментираат, самостојно да истражуваат, да учат низ игра, да ја развиваат својата фантазија и креативност, да ги изразуваат своите чувства преку музика, цртање, движење. Воспитувачот во текот на целата програмска година врши опсервирање и проценка на достигнувањата и напредокот на детето и врз основа на тоа ги прилагодува активностите и стратегиите за учење. Проценката е сложен процес за кој воспитувачот го одредува потребното време, собира информации, ги евалуира и ги документира во досието на детето.

Воспитувачот го организира и оплеменува просторот според интересот на децата со цел да ја поттикне нивната љубопитност, да истражуваат, откриваат, учат и да се развиваат во различните развојни домени. Во просторијата каде што се реализираат воспитно образовните активности со децата просторот е организиран во центри за учење кои претставуваат посебни делови од занималната во кои играчките и дидактичкиот материјал се тематски структурирани и кои на децата им овозможува да работат во помали групи и при тоа да се реализираат индивидуалните и групните цели за учење.

Основни центри кои ги има во секоја просторија за учење во градинката се:

- литературен центар;
- математички центар;
- центар за игри со конструктивен материјал;
- научен/истражувачки центар;
- уметнички центар;
- центар за игри со улоги, драматизација, куклени претстави;
- центар за изложување на детските творби (во висина на детските очи).

Секој центар за учење има за цел да им помогне на децата да бидат самостојни, љубопитни и активно да се вклучуваат во процесот на стекнување на знаења и вештини. Децата најдобро учат кога се директни учесници во активностите за кои пројавиле интерес и се поттикнати од самите нив. Знаењата стекнати преку сопствено истражување на околината се применливи, трајни и значајни за детскиот развој.

Реализацијата на воспитно - образовната работа во воспитни групи од 2 - 6 години ќе овозможи остварување на воспитно-образовни цели и задачи преку разновидни форми, методи, содржини и активности, кои ќе придонесат за поттикнување на интелектуалниот, физичкиот и социо-емоционалниот развој на децата.

## Развојни цели по домени за период од 2 до 6 годинии

## Домен: Пристап кон учењето

- Да се развива сопствен пристап и стил кон учењето;
- Да се поттикнува интересот за користење на различни форми и извори на информации;
- Да се развиваат способности за самостојно користење на внатрешната мотивација за изведување на посложени задачи;
- Да се поттикнува кон селективно избирање активности од повеќето кои што му се нудат, согласно со личните интереси и начините на разбирање и прифаќање;
- Да се развива способност за започнување на одредена активност и истрајност во реализацијата до нејзиното завршување;
- Да се охрабрува за изразување на креативноста низ процесот на учење и развој;
- Да се развива способност за користење на искуствата базирани на претходните знаења, во градењето на личен пристап кон учењето.

## Домен: Здравје и моторен развој

- Да се развиваат моторичките вештини;
- Да се развива способноста за координација на телото и одржување на рамнотежата;
- Да се развива свесноста за сопственото тело, запознавање и почитување на различностите;
- Да се развива фината моторика и манипулативните вештини (контрола на дланките и прстите);
- Да се оспособат децата за користење на сетилните органи за координација на движењето;
- Да се усоврши функцијата на перцептивните органи;
- Да се формираат културно-хигиенски навики;
- Да се оспособи за примена на здрави и безбедни практики;
- Да се оспособи за разбирање на важноста на одржувањето на сопственото здравје и благосостојба;
- Да се негува физичкото и менталното здравје на детето;
- Да ги запознаваат своите способности и можности за движења;
- Да се воведуваат во елементарните сознанија за одредени спортови.

## Домен: Социо-емоционален развој

**Социјален развој**

- Да се развива способност за адаптација на нова средина, интерперсонални односи и комуникациски вештини;
- Да ги разбира и почитува различностите кај децата и возрасните;
- Да се развива социјалната перцепција;
- Да развива свест, за припадност кон групата и семејството;
- Да ја негува и развива социјалната интелигенција;
- Да се поттикнува да усвојува норми и обичаи во различни средини и ситуации;
- Да се воведува и запознава со универзалните човекови вредности и етички принципи;
- Да се развива националната, етничка и културната припадност на својот народ;
- Да се развива свест за мултикултурализам;
- Да се развива свеста за инклузивност;
- Да го негува и развива чувството на љубов и почит кон својата татковина.

**Емоционален развој**

- Да се поддржува детето во развивање на емоционалната интелегенција;
- Да ги препознава сопствените чувства и соодветно да реагира;
- Да се поттикнува да развива свест за сопствените чувства, да развива чувство на сигурност, доверба и прифатеност во околината;
- Да гради позитивен однос кон себе;
- Да се поддржува да го збогатува својот емоционален живот;
- Да се поддржува да ги негува позитивните емоции;
- Да се сензибилизира за чувствата на другите;
- Да се оспособува да го контролира изразувањето на емоциите;
- Да се поттикнува да учествува во разрешување на животни проблемски ситуации;
- Да се поттикнува да гради сопствени начини на изразување на чувствата, прифатливи и препознатливи за другите;
- Да се поттикнува да гради реална слика за себе.

## Домен: Јазик, комуникација и развој на писменост

- Да се развива способноста за слушање и разбирање на говорниот јазик;
- Да се развива способноста за правилно зборување и елоквенција;
- Да се развиваат јазичните способности како основа за развој на сопствениот, националниот икултурниот идентитет;
- Да се развива способноста за слушање, разбирање и доживување на јазикот;
- Да се развива способноста за комуникациски вештини;
- Да се развива способноста за смислено и граматички правилно изразување на своите мисли;
- Да се негува љубовта и позитивениот однос кон сликовниците;
- Да се поттикнува и развива интересот кон читање на книги;
- Да се поттикнува и развива интересот за писмено изразување;
- Да се воведува и запознава со основите на пишаниот јазик;
- Да се поттикнува творештвото;
- Да се развива чувство за постоење на културна и јазична различност.

## Домен: Когнитивен развој

- Да се развиваат способности за размислување;
- Да се развиваат способности за стекнување и користење нови информации;
- Да се развиваат способности за активно решавање на проблеми согласно со развојните ииндивидуалните карактеристики;
- Да се развиваат способности за критичко размислување;
- Да се формираат работни навики;
- Да се развива самостојноста, вниманието и истрајноста;
- Да се оспособуваат за користење на процесот на деперцептуализацијата во учењето и разбирањето;
- Да се оспособувааат за користење на новите поими и претстави и нивно поврзување во систем на знаења;
- Да се збогатува искуството како основа за стекнување нови знаења, вештини, навики и умеења;
- Да се поттикнува и развива логичното размислување развивање на способност за воочување на просторно временски односи;
- Да се развива на способноста за помнење/стихотворби, приказни, песни, мелодии, ликовни техники...
- Да се развива способноста за квалификација и серијација;
- Воочување на причинско последични врски;
- Да се развива на способност за анализа и синтеза;
- Да се развива на способност за апстракција и генерализација;
- Да се развива способност за творење и откривање на нови релации и односи меѓу појавите и предметите.

### 2.3 ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ

Широкиот спектар од понудени теми и содржини во тематското планирање нуди можност да се задоволат специфичните интереси на децата од различните воспитни групи и претставува предизвик за воспитувачите да ја покажат својата креативност и инвентивност**.**

При изборот на содржините воспитувачот се раководи од интересите, можностите и потребите на децата од групата која ја води настојувајќи притоа да користи различни форми, методи и стратегии за да интегрира што повеќе различни домени на развој на децата.

Тематското планирање овозможува флексибилност во просторната и часовната организација за време на престојот на детето во градинка, работа во група, како и вклучување на семејството во воспитно-образовните активности.

**Тематското планирање овозможува:**

- Креирање на позитивна работна клима;
- Поголема ангажираност на децата во процесот на учење;
- Можностзаизразувањенаиндивидуалнитеспособности;
- Создавање на стимулативна и креативна средина за учење и престој;
- Висок степен на интеракција;
- Примена на различни методи на работа;
- Користење на повеќе различни извори на знаења;
- Тимска работа во планирање и реализирање;
- Можност до израз на креативноста на воспитувачот;
- Унапредување на соработката со родителите и изнаоѓање на нови форми и облици на соработка.

## Реализација на тематско планирање за воспитните групи од 2 – 4 год.

| Временски период на реализација на тематското планирање | ТЕМА | Разгранување на темата | С О Д Р Ж И Н И |
|---|---|---|---|
| **Септември** | **ГРАДИНКАТА МОЈОТ ВТОР ДОМ** | **1. Мојата градинка** | -добредојде во градинка<br>-ајде да се запознаеме<br>-мојата градинка (запознавање со градинката)<br>-занималната,центрите за игра, кој што работи..)<br>-патот до градинка<br>-како се поздравуваме<br>-како се ракуваме<br>-моите учителки<br>-моите другарчиња<br>-бон тон правила за културно однесување во градинка |
| | | **2.Моите другарчиња** | - 8 ми септември роденден на мојата татковина Р.С.Македонија<br>-ајде да другаруваме<br>-календар на родендените<br>-играме другаруваме и се почитуваме<br>-албум на нашите рачиња |
| | | **3.Што треба да се прави за да бидеме здрави** | -културно-хигиенски навики во градинка<br>-рачиња си мијам добро за да спијам<br>-правила за здраво детсво<br>-22 септември ден без автомобили<br>-играме, спортуваме и се забавуваме<br>-колку пораснавме и што научивме во септември |
| **Октомври - Ноември** | **ЕСЕНСКА СКАЗНА НА ЧУВСТВАТА** | **1.Детска недела** | -секое дете има право на...<br>-пееме за детските права<br>-ликовна работилница<br>-ајде да бидеме хумани<br>-спортуваме |
| | | **2.Есенска разноликост** | -промените во природата<br>-какво е времето во есен<br>-есен во паркот и шумата<br>-животните во есен<br>-птиците во есен<br>-есенски звуци<br>-шумот на лисјата<br>-градината во есен<br>-есенско садење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -културно хигиенски правила во двор, во градината на улица |
| | | **3.Есенска кошница** | -овошни плодови<br>-зеленчукови плодови<br>-како се јадат плодовите<br>-Ден на здрава исхрана 16.10.2023г. |
| | | **4.Есенски подготовки за во зима** | -витамини во тегла<br>-подготвуваме зимница<br>-есенски подготовки на:<br>животните во доцна есен<br>инсектите во доцна есен<br>-игри и прошетки<br>-есенски крос<br>-да ја испратиме есента |
| | | **5.Истражуваме и откриваме за моето тело и моите чувства** | --јас пред огледало<br>-што можат моите раце<br>-што можат моите нозе<br>-што имам на главата<br>-моите сетила<br>-играме спортуваме<br>-коцка на чувствата (среќа, тага, страв, лутина)<br>-колку пораснавме и што научивме во октомври и ноември |
| **Декември – Јануари:** | **ЗИМСКА СКАЗНА** | **1.Промени на времето во зима** | -добредојде на зимата<br>-временски промени во зима (студ, мраз, снег)<br>-на зимата се радуваме топла облека си облекуваме |
| | | **2.Здрави навики во зима** | -топло чајче пијам<br>-компот или чај<br>-топло шалче носам на северко му пркосам |
| | | **3.Новогодишни семејни радости** | -новогодишни подготовки во градинка и мојот дом<br>-новогодишни украси<br>-да ја накитиме елката<br>-писмо за Дедо мраз<br>-новогодишна честитка<br>-Дедо мраз на гости кај нас |
| | | **4.Традиција и празнувања** | -Нашата традиција по повод: Коледе, Бадник, Божиќ, Василица, Водици<br>-нашето фолклорно богатсво<br>-песни и ора<br>-народни инструменти<br>-народни носии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **6.На зимата и се радуваме** | -на снегот му се радуваме<br>-игри во зима<br>-спортуваме и за здравјето се грижиме и во зима<br>-птиците во зиама<br>-животните во зима |
| **Февруари** | **МОЕТО СЕМЕЈСТВО** | **1. Љубовта во семејството** | -мојот дом<br>-моето семејство броиме колку членови има<br>-моето семејно стебло<br>-што работат мама и тато<br>-кој што работи во домот<br>-права и обврски во домот<br>-како и помагам на мама<br>-готвиме заедно<br>-нашиот семеен албум<br>-бон -тон правила во домот<br>-приказните на баба и дедо<br>-играме заедно |
| **Март** | **ПРОЛЕТТА НЕ БУДИ** | **1.Пролетни празнувања** | 1ми март-мартинки<br>8ми март- денот на мајката<br>21ви март – ден на пролетта<br>22ри март – ден на водата |
| | | **2.Рана пролет** | - весници на пролета<br>- временски промени во пролет<br>- развигорчето ја буди природата<br>- будење на животните<br>-будење на инсектите<br>- птиците преселници се враќаат од југ<br>-бои, звици, мириси во пролет<br>-истражуваме и откриваме за градините во пролет<br>-културно хигиенски навики при игри во двор |
| **Април - Мај** | **ЖИВОТИНСКО ЦАРСТВО** | **1.Празнување** | 1ви април ден на шегата<br>22ри април ден на планетата Земја<br>-Велигден<br>-15ти мај – ден на семејството |
| | | **2. Откриваме и истражуваме за...** | -животните од селскиот двор<br>-користа од домашните животни<br>-домашни миленици<br>-шумски животни<br>-животните од топлите краево<br>-животните од студените краеви<br>-жжвотните од ЗОО<br>-животните од приказните<br>-бон тон правила на однесување кон животните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -културно хигиенски правила при контакт со животни<br>- воден свет |
| | | **3.Мали истражувачи на природата** | -боите на виножитото<br>-мирисот на цвеќињата во мај<br>-звуците на инсектите<br>-да ги запознаеме инсектите<br>-жуборот на поточето<br>-птиците се враќаат<br>-нашата градина во мај<br>-се грижиме за природата<br>-како расте дрвото<br>-бон-тон правила во природа на излет на прошетка |
| **Јуни - јули август** | **ЛЕТНИ ВОДЕНИ ЛУДОРИИ** | **1. Вкусот на летото** | -Сладолед<br>-прво пролетно овошје цреши јаготкиа<br>-овошна салата<br>-01.06. – меѓународен ден на детето |
| | | **2. Водата живот дава** | -истражуваме и откриваме за водата<br>-водени лудории<br>-традиционални игри во двор<br>-ликовна колонија<br>-музички игри<br>-излети и игри во природа |
| | | **3. Летни приказни** | -ајде да раскажеме приказна<br>-колку пораснавме што научивме<br>-портрет на нашата група |

## Тематско планирање за воспитните групи од 4 – 6 години

| Временски период на реализација на тематското планирање | ТЕМА | Разгранување на темата | С О Д Р Ж И Н И |
|---|---|---|---|
| **Септември** | **ЈАС И МОЈОТ СВЕТ** | **1. Мојата градинка мојот свет** | -мојата градинка, нашата група<br>-јас и моите другари<br>-ајде да се поздравиме, играме и другаруваме<br>-колку сме пораснале<br>-кој што работи во градинката<br>-бон тон правила,треба или не треба...<br>-волшебните зборови во градинка |
| | | **2.Јас и мојата татковина** | -мојата татковина<br>-обележја на мојата татковина<br>-знаме, граб и химна<br>-како се сака татковината<br>8ми септември роденден на мојата татковина Р.С.Македонија |
| | | **3.Убавините на мојата татковина** | -Патуваме и истражуваме за убавините на мојата татковина:<br>-планини, реки и езера,<br>-градови и села,<br>-разновидноста на живиот свет во Маќедонија<br>-моето родно место<br>-убавините на мојата населба Гази Баба<br>-албум на татковината |
| | | **4.Јас и моето семејство** | -моето семејство колку члена брои<br>-мојот дом<br>-моето семејно стебло<br>-кој што работи во домот<br>-бон тон правила во домот<br>09ти септември – Ден на бабите и дедовците<br>14ти септември – Ден на таткото<br>22ри септември – Ден без автомобили |
| **Октомври** | **ОКТОМВРИНИ РАСКАЖУВАЗА...** | **1. Детска недела** | -мото – правата на децата<br>-ликовна работилница – постер пораки<br>-театарска претстава<br>-спортуваме се забавуваме<br>-хуманитарна акција од дете за дете<br>-пееме за детските желби и права |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **2.Временските промени** | -какво е времето во есен (ветер дожд магла, слана)<br>-птици преселници<br>-есен во паркот и шумата<br>-листопадни и зимзелени дрвја<br>-животните во есен<br>-игри и прошетки во есен<br>-есенски крос<br>-есенска сликовница |
| | | **3.Есенски дарови** | -овошни и зеленчукови плодови<br>-како се јадат плодовите<br>-подготвуваме зимница<br>-есенско садење<br>-работа на поле во есен<br>05ти октомври - Светски ден на учителот<br>16ти октомври - Ден на здравата исхрана;<br>21ти октомври - Светски ден на штедење на енергија;<br>31ви октомври - Светски ден на штедењето<br>- празнуваме 11ти и 23ти октомври |
| **Ноември** | **МОЕТО ТЕЛО МОИТЕ ЧУВСТВА** | **1.Го сакам и чувам моето тело** | -јас пред огледало<br>-истражуваме и откриваме:<br>што може моето тело<br>моите сетила<br>што имаме во нашето тело<br>што ни е потребно за да растеме<br>-како се грижам за моето здравје (хигиена, спорт, правилна исхрана) |
| | | **2. Календар на чувствата** | -ги препознаваме и именуваме чувствата<br>-среќен<br>-тажен<br>-лут<br>-исплашен<br>- што е љубов<br>-дали чувствата може да се измерат<br>-календар на чувствата<br>13тиноември - Скопје слави роденден<br>27ти ноември -Тиквијада |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Декември – Јануари** | **ШТО НИ НОСИ ЗИМАТА** | **1.Истражуваме и откриваме за...** | -промените на времето во зима<br>-облека која ни е потребна во зима<br>-како се загреваат домовите<br>-топол -ладен воздух<br>-како настанува мразулец<br>-како тече времето<br>-со што го мериме времето<br>-ден по ден седмица<br>-месеци и годишни времиња<br>3ти декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби<br>15ти декември – Светски ден на чајот |
| | | **3.Новогодишни радости** | -новогодишни подготовки во градинка и мојот дом<br>-новогодишни украси<br>-да ја накитиме елката<br>-писмо за Дедо мраз<br>-новогодишна честитка<br>-Дедо мраз на гости кај нас |
| | | **3.Традиционални празнувања** | -Семејството и традицијата празнуваме: Коледе, Бадник, Божиќ, Василица, Водици<br>-народни обичаи<br>-нашата фолкрорна традиција (песни ора, народни носии)<br>- приказните на баба и дедо |
| | | **4.Детски радости во зима** | -зимски спортови<br>-птиците во зима<br>-животните во зима<br>18.01 – светски ден на снешкото<br>26.01 – светски ден на образованието за заштита на животната средина - учиме да селектираме и рециклираме |
| **Февруари** | **ЧУДЕСНИОТ СВЕТ НА ЖИВОТНИТЕ** | **1.Учиме, истражуваме и се грижиме за...** | -животните од селскиот двор (фарма)<br>-корист од домашните животни<br>-миленици<br>-шумски животни<br>-животни од џунглата<br>-животни од студените подрачја<br>-животни од ЗОО<br>-животни од минатото<br>-животните во приказните<br>-бон тон правила на однесување кон животните<br>-културно хигиенски правила при контакт со животни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 01ви февруари- светски ден на читањето на глас<br>20ти февруари – светски ден љубов кон миленикот<br>27ми февруари- меѓународен ден на поларната мечка |
| **Март** | **ЧУДЕСНИОТ СВЕТ НА ПРИРОДАТА** | **1.Природата се буди** | -весници на пролета<br>-временски промени во пролет<br>-развигорчето ја буди природата<br>-будење на животните и инсектите<br>-птиците преселници се враќаат од југ<br>-бои, звици, мириси на природата во пролет<br>-пролет во шумата |
| | | **2.Градините во пролет** | -од семка до плод<br>-што им е потребно на растенијата за да растат<br>-овошната градина во пролет<br>-зеленчуковата градина во пролет<br>-цветната градина во пролет<br>-игри и прошетки во природа<br>-културно хигиенски навики при игри и прошетки во природа<br>-зошти треба да ја чуваме природата |
| | | **3.Неговото височество дрво** | -изглед и делови на дрвото<br>-видови дрвја<br>-дрвото живеалиште на птици, инсекти и животни<br>-дрвото низ годишните времиња<br>-дрвото чувар на нашето здравје<br>-зожто се важни дрвјата<br>-како да спасиш дрво<br>1ви март-мартинки<br>8ми март- денот на мајката<br>18ти март – светски ден на раскажувањето<br>21ви март – ден на пролетта и ден на шумите и<br>ден на лицата со Даунов синдром<br>22ри март – ден на водата<br>27ми март – светски ден на театарот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Април** | **УБАВО Е ДА СЕ ПАТУВА И ЗА ПРОФЕСИИ ДА СЕ ИСТРАЖУВА** | **1.Сувоземен сообраќај и професиите на луѓето** | -сообраќајни средства<br>-што ни кажуваат сообраќајните знаци<br>-кртосница<br>-специјални возала<br>-што возат децата<br>-возач, машиновозач, полицаец, пожарникар...<br>-железнички сообраќај – машиновозач, кондуктер |
| | | **2.Воден сообраќај и професиите на луѓето** | -превозни средства по вода и под вода<br>-пристаниште бродоградилиште<br>-морнар капетан |
| | | **3.Воздушен сообраќај и професиите налуѓето** | -превозни средства<br>-аеродром<br>-пилот стујардеса<br>-вселенски летала - космонаут |
| | | **4.Професии и занаети** | -Кога ке пораснам сакам да бидам: лекар, медицинска сестра, стоматолог, учителка, балерина...<br>1ви април ден на шегата<br>2ри април ден за поддршка на лицата со аутизам<br>7ми април – светски ден на здравјето<br>22ри април ден на планетатаЗемја<br>29ти април -светски ден на танцот<br>-велигден |
| **Мај** | **ВСЕЛЕНАТА ВО МАЈ** | **1.Откриваме и истражување за вселената** | -сончев систем<br>-планети<br>-месечина, ѕвезди<br>-сонцето како извор на светлина и топлина<br>-нашата планета Земја |
| | | **2.Откриваме и истражуваме за боите во мај** | -боите на виножитото<br>-танцот на инсектите<br>-мирисот на цвеќињата<br>-лековити билки<br>-мирисот на билките<br>3ти мај -ден на сонцето<br>15ти мај – ден на семејството<br>24ти мај – ден на градинката. |
| **Јуни јули август** | **ЛЕТЕНИ ВОДЕНИ ЛУДОРИИ** | **1.Вкусот на летото** | -сладолед<br>-прво пролетно овошје цреши јаготки<br>-овошна салата<br>-градината во лето<br>-времето во лето<br>-летен дожд, грмотевици<br>-летен одмор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -и во лето здравјето се чува<br>-облека во лето<br>-игри под сенка<br>1ви јуни – меѓународен ден на детето<br>8ми јуни – светски ден на најдобри другари |
| | | **2.Водата живот дава** | -истражуваме за водата<br>-водата незаменлив пијалок во лето<br>-зошто треба да се штеди водата<br>-воден свет<br>-растенија и животни во бари, реки, езера, морија и океани<br>-водени лудории<br>-водени спортови |
| | | **3.Летни доживувања** | -креативни игри<br>-истражуваме и откриваме<br>-традиционални игри во дворот,<br>-нашите игри во лето<br>-летни приказни<br>-куклена претстава во лето<br>-брзозборки<br>-раскажуваме смешни случки<br>-на крајот од летото<br>-портрет на нашата група<br>- летна ликовна колонија |

## 2.4 ПРОЕКТИ

| П р о е к т | Ц е л | Задачи | Реализација - објект - група | Време на реализација презентација |
|---|---|---|---|---|
| **„Од дете за дете“** | Хуманитарна акција од дете за дете преку која децата ќе се учат на хуманост и солидарност | - Развивање на хуманоста кај децата од најмала возраст;<br>-Развивање емпатија за другите;<br>-Донирање облека, подароци и др.опрема наменета за болни дечиња сместени во болниците и установите низ републиката, децата од ранливите категории и децата без родители и родителска грижа. | Воспитни групи од 2-6г.<br>од сите објекти | **Септември 2023–Јуни 2024** |
| **„Воведување почит кон различностите и мултикултурализам во раниот детски развој“** | Децата да научат да ги прифатат и да ги разберат сличностите и разликите кај другите | -Поттикнување на децата да ги разберат и прифатат сличностите и разликите кај другите<br>-Промовирање на мултиетничност, почитување на лица со телесна попреченост, родова еднаквост и почитување на различностите во однос на физички и психичките разлики.<br>-Поттикнување на децата да станат општествени актери во градење на мирот. | Воспитни групи од 4-5год. сите објекти | **Септември 2023 – Јуни 2024** |
| **„Учиме за собирање и рециклирање на отпадното масло“** | Едукација на децата за бенефитите од селектирањето и рециклирањето на отпадното масло и останатиот отпад и развивање на лична одговорност за заштита на животната средина. | -Да се развива знаење и грижлив однос за животната средина;<br>-Децата да се запознаат со материјали кои може да се рециклираат;<br>-Да се потикне љубопитност, трпеливост, истрајност; | Воспитни групи од 4-6 год.<br>Од сите објекти | **Септември 2023 – Јуни 2024** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Да се развиваат добри животни навики. | | |
| **„Играме со броеви“** | Преку дидактички игри децата да се оспособуваат за воочување на поимот количина и поврзување на количината со одредена цифра, како и активно користење на математичките поми во секојдневната комуникација и доживување на математиката како пријатно искуство. | -Да се оспособуваат за визуелно воспремање и именување на одредени броеви;<br>-Оспособување за придружување 1-1 на предмети според дадена карактеристика;<br>-Да се поттикнува способност за поврзување на количината ( број на елементи ) со симболот на цифрата<br>-Оспособување за броење од 1- 10 и назад;<br>-Да се поттикнува кон користење на стандардни и нестандарднимерки за мерење должина и количина;<br>-Да се поттикнува формирање на особини на личноста: иницијативност, трпеливост, истрајност, љубопитност, прецизност. | Воспитни групи од 5-6 год.<br>Објект Сончоглед | **Септември 2023- Декември 2023** |
| **„Оригами во детскиот свет“** | Стекнување на елементарни знаења за техниката оригами | -Поттикнување на креативноста кај децата<br>- Развивање на способноста за правилно ракување со разни материјали и техники<br>- Да се развие фината моторика и | Воспитни групи од5-6 год.<br>Објект Мимоза | **Септември 2023 – Јуни 2024** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | координацијата рака-око<br>- Развивање на тактилна перцепција;<br>-Да се поттикне способноста за истражување, споредување, именувањњ на бои, текстура, облици на предмети во две и три димензии.<br>- Поттикнување на детето на различен начин да го претставува тродимензионалниот простор. | | |
| **„Растенија-дар од природата“** | Стекнување на елементарни сознанија за растенијата и доживување на убавиите на растителниот свет во блиската околина низ годишните времиња | -Поттикнување на интерес за растителниот свет во непосредната околина;<br>-Запознавање со деловите на растението (корен, стебло, лист, гранки, цвет, плод)<br>-Осознавање на некои карактеристики на растенијата (садење, ртење, растење, цутање, испуштање на семеи, венеење)<br>-Оспособување на децата за фокусирано набљудување;<br>-Запознавање со растенијата од оделни еко системи (бара, шума, поле, градина...)<br>-Стекнување сознанија за ползата од растенијата за човекот. | Воспитни групи од5-6 год.<br>Објект Темјанушка | **Септември 2023 – Мај 2024** |
| **„Спорт и движење без граници“** | Воведување во елементарни сознанија за одредени спортови: | -Да се развиваат моторичките вештини;<br>-Да се развива способноста за | Воспитни групи од5-6 год. | **Септември 2023 – Април 2024** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | фудбал, ракомет, кошарка, тенис и негување на физичкото и менталното здравје на детето. | координација на телото и одржување на рамнотежата;<br>-Да се усовршат основните природни движења: одење, трчање, скокање, качување, провлекување;<br>-Да се развива способноста за ориентација во просторот;<br>-да се усовршува способноста да комбинираат неколку секвенци од моторички движења.<br>-да ја разбира важноста на спортот за одржување на здравјето. | Објект Калинка | |

## 3. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ПО ВОСПИТНИ ГРУПИ

Во зависностод бројот на децата, нивната возраст и потребите на родителите, градинката својата работа ќе ја организира во хомогени и хетерогени групи и тоа:

| Хомогени групи | Хетерогени групи |
|---|---|
| над 8 до 18 месеци | од 3 – 5 год. |
| над 18 месеци до 24 месеци | од 4 – 6 год. |
| од 2 - 3год | |
| од 3 - 4год | |
| од 4 – 5 год. | |
| од 5 - 6 год. | |

**БРОЈ НА ВОСПИТНИ ГРУПИ И БРОЈ НА ДЕЦА ОПФАТЕНИ ДЕЦА ПО ОБЈЕКТИ**

| Објекти | капа цитет | | најрана возраст | | | | постара предучилишна возраст | | | | | | | | СЕ ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | од 8-18 м. | | 18-24 м. | | 2-3 год. | | 3-4 год. | | 4-5 год. | | 5-6 год. | | | |
| | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца | групи | деца |
| **Мимоза** | **6** | **150** | | | | | 2 | 40 | 1 | 19 | 2 | 38 | 1 | 27 | **6** | **124** |
| **Темјанушка 1** | **5** | **100** | | | | | 1 | 20 | 1 | 21 | 1 | 22 | 2 | 39 | **5** | **102** |
| **Темјанушка 2** | **2** | **30** | 1 | 16 | 1 | 19 | | | | | | | | | **2** | **35** |
| **Сончоглед** | **8** | **180** | 1 | 16 | 1 | 18 | 1 | 21 | 1 | 23 | 2 | 39 | 2 | 46 | **8** | **163** |
| **Калинка** | **9** | **191** | 1 | 13 | 1 | 15 | 1 | 17 | 2 | 35 | 2 | 37 | 2 | 36 | **9** | **153** |
| **Вкупно** | **30** | **651** | **3** | **45** | **3** | **52** | **5** | **98** | **5** | **98** | **7** | **136** | **7** | **148** | **30** | **577** |

**РЕАЛИЗАТОРИ НА ДЕЈНОСТА**

| Ред.бр. | Работно место | вкупно | ВСС | ВШС | ССС | ОСС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Директор** | **1** | **1** | | | |
| **2.** | **Раководител на објект** | **1** | **1** | | | |
| **3.** | **Струч.раб-педагог** | **1** | **1** | | | |
| **4.** | **Струч.раб-логопед** | **1** | **1** | | | |
| **5.** | **Струч. раб. специјален – едукатор и рехабилитатор** | **1** | **1** | | | |
| **6.** | **Струч.сораб-музичко** | **1** | **1** | | | |
| **7.** | **Административен кадар** | **2** | **1** | | **1** | |
| **8.** | **Воспитен кадар** | **23** | **21** | **2** | | |
| **9.** | **Згрижувачки кадар** | **36** | **7** | | **29** | |
| **10.** | **Помошно технички кадар** | **25** | | | **22** | **3** |
| **11.** | **Вкупно:** | **92** | **35** | **2** | **52** | **3** |

## 4.РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ И СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

### 4.1. ПРОГРАМА НА ДИРЕКТОРОТ

Програмата за работа на директорот на ЈУДГ "Детска радост" – општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година како раководен орган својата работа ќе ја усогласи согласно уставните, законски одредби, Статут и Актите на установата. Ќе го следи и организира целокупниот процес во установата со цел остварување на дејноста на установата. Директорот непосредно ќе ја унапредува соработката со општина Гази Баба, Министерство за труд и социјална работа, Биро за развој на образованието, предучилишни установи и други стручни институции

Активностите кои ќе произлегуваат од задачите и целите ќе бидат насочени кон стратешките цели кои се однесуваат на подобрување и унапредување на работата на градинката, јакнење на тимската работа со создавање на чувство на сигурност и стабилност на вработените како и нивната перспектива.

Работата на директорот за учебната 2023/24 година ќе се остваруваат преку поставените цели и задачи и тоа:

- Концепско програмско подрачје;
- Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовна и згрижувачка работа и стручно педагошката дејност, Педагошко инструктивна дејност;
- Стручно педагошко-психолошко усовршување на кадарот;
- Работа со кадарот;
- Работа со стручни органи во установата;
- Аналитичко студиски работи;
- Соработка со родителите,
- Соработка со стручни институции, локална самоуправа, родители и поширока јавност.

| 1. | **Концепциско програмско подрачје** |
|---|---|
| | • Го организира и раководи целокупниот работен процес во установата;<br>• Подготвување на годишна програма за 2023/24 година и Извештај од работата за 2022/23 година за работа на детската градинка;<br>• Поднесува извештај за реализација на Годишната програма за работа до стручни и надлежни институции;<br>• Поднесува извештај за материјално-финансово работење на установата до стручни и надлежни институции;<br>• Следење и организирање на работниот процес согласно измените на законската регулатива, ги спроведува одлуките на Управен одбор, Совет на родители, соработува со локална самоуправа и други надлежни институции;<br>• Подготвува на предлог програма за тековно-инвестиционо одржување на објектите;<br>• Подготвува на план за работа и распоред на работно време на вработените и нивно распоредување;<br>• Ја претставува и застапува установата пред надлежни институции и трети лица, ја застапува законитоста на работењето и ги штити интересите и унапредувањето на установата;<br>• Координирањеи унапредување на дејноста на установата; |

| | |
|---|---|
| | • Подготвува листа на јадење според нормативи и стандарди согласно закон и ја унапредува здравствената заштита;<br>• Подготвува и реализира План за јавни набавки, ги следи и учествува во постапките на тендери;<br>• Зема учество и соработува со Управен одбор, Совет на родители, Надзорен одбор и останатите тела на установата, локалната самоуправа, МТСП и други институции и поширокатa јавност;<br>• Го раководи материјално-финансовото и административно работење;<br>• Следење на состојбите во сите објекти за нивно уредување и отстранување на сите проблематични ситуации и технички проблеми;<br>• Донесува одлуки согласно надлежностите;<br>• Врши организирање на културната дејност, ја застапува установата на приредби, прослави, симпозиуми, конференции и сл.<br>• Унапредување на работата на советувалиштето;<br>• Учествува во планирање на мени за исхрана да биде согласно нормативите и стандардите предвидени според возраста на децата на предучилишна возраст, соработува со Републички завод за домаќинство и Институт за јавно здравје на Р.С.М, се консултира со вработените кои работат со храна и води евиденција за месечната потрошувачка за храна;<br>• Води грижа за целокупната здравствена заштита и превентива, како и хигиенските услови во установата;<br>• Активно работи на унапредување на стандардите за подобрување на условите за работа на вработените и престој на деца, зголемување на опфат на деца, проширување на капацитетот на установата, нови вработувања;<br>• Спроведува мерки и активности за остварување на закон за заштита на деца. |
| **2.** | **Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовна и згрижувачка работа и стручно педагошката дејност**<br>**Педагошко инструктивна дејност** |
| | • Ги формира работните групи со насоки за изготвување на Годишна програма за работа и Годишен извештај, комисија за прием на деца и други комисии согласно закон;<br>● Ја планира и ја следи реализацијата на работата на стручните органи Стручен совет, Совет на воспитувачи и Совет на негователи;<br>● Врши увид на педагошката евиденција и документација која ја води установата;<br>● Постојано врши комуникација со вработените на дневно ниво, одржува состаноци, консултации и советување со вработените, ги запознава со измена на закон со цел да се подобрат констатираните недоследности и континуирано да се работи тимски на унапредување на дејноста;<br>● Зема активно учество во комисиите за формирање на воспитните групи и другите тела во градинката;<br>● Го унапредува професионалното и стручно усовршување на вработените;<br>● Ја следи, анализира и насочува работата на воспитно-образовниот и згрижувачки процес согласно програмата за работа и дополнително ја следи состојбата на присутност на деца по групи и објекти, нивно запишување и отпишување;<br>● Учество во подготвување и водење на седници на Стручен совет; |

| | |
|---|---|
| | ● Учествува во организација на други облици на работа со деца и родители (работилници, рекреација, панаѓур, изложби, странски јазици и сл.); |
| **3.** | **Стручно педагошко-психолошко усовршување на кадарот** |
| | ● Работи на континуирана едукација на воспитно-згрижувачкиот и стручен кадар;<br>● Обезбедување на стручна литература спрема расположливите средства на установата;<br>● Сопствено стручно усовршување и организирање на учество на меѓународни конференции, семинари, обуки, советувања, симпозиум и сл; |
| **4.** | **Работа со кадарот** |
| | ● Следење и координирање на работата на стручниот и воспитно-згрижувачкиот кадар;<br>● Организирање работен процес на одговорно извршување на работните задачи на вработените;<br>● Одржување на состаноци со воспитно-згрижувачкиот и техничкиот кадар за поуспешно остварување на работните задачи, нивно распоредување, работа на само оценување и професионален однос кон вработени, деца и родители;<br>● Континуирано работење на подобрување на меѓучовечките односи, со вреднување на етичко однесување и тимска работа;<br>● Планирање и обезбедување на дидактички материјали според потребите за реализација на програмските активности со деца во група;<br>● Давање на упатства за водење на педагошката евиденција и документација. |
| **5.** | **Работа со стручни органи во установата** |
| | ● Учествува во планирање и програма за работа на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негователи:<br>● Раководи со стручните органи, ја презентира фактичката состојба и потребите на установата. |
| **6.** | **Аналитичко студиски работи** |
| | ● Анализирање, следење и организирање на дејноста на ниво на детска градинка;<br>● Преглед на месечен, тромесечен и годишен план за реализирање на програмата и нејзино водење во педагошката документација;<br>● Континуирана анализа за вреднување на планираните активности;<br>● Изготвување на извештаи, анализи, информации и нивно проследување до надлежни институции;<br>● Континуирано работење за следење на состојбата на запишани деца, следење на листата на чекање, следење на пресметката и уплатите на месечно ниво за партиципација, следење на исполнетост на капацитетот со реорганизација на воспитни групи за одржување на капацитетните можности на установата;<br>● Континуирано следење на месечна потрошувачка на исхрана на дневно, месечно и годишно ниво;<br>● Следење на потребите на установата за промена на кадарот за организирање на работниот процес;<br>● Стручно усовршување на целокупниот кадар во установата. |
| **7.** | **Соработка со родителите** |
| | ● Вклучување на родителите во органот на управување; |

| | |
|---|---|
| | ● Планирање на родителски средби и непосредна соработка со родителите;<br>● Планирање на денови за средба со родителите преку отворен ден секоја прва среда во месецот;<br>● Континуирана соработка со родителите на децата во градинка, преку индивидуални разговори, родителски средби со совети за правилно воспитување, консултации за квалитетен престој на децата, проектни активности, работилници, панаѓур, спонзорства, донации и сл;<br>● Секојдневна комуникација со родителите и нивно запознавање со програмата за работа во установата, соработка и нивно вклучување во реализацијата на активностите на дневно ниво, советување во поглед на прифаќање на различностите во однос на култура, религија и др;<br>● Унапредување на комуникацијата со родителите преку средби каде можат да ги дадат своите предлози, прашања и идеи со цел унапредување на дејноста. |
| **8.** | **Соработка со стручни институции, локална самоуправа, родители и поширока јавност** |
| | ● Општина Гази Баба;<br>● Министерство за труд и социјална политика;<br>● Биро за развој на образованието;<br>● Министерство за образование-просветна инспекција;<br>● Факултетот за педагогија и психологија;<br>● Републичкиот и градскиот совет за грижи и воспитување на децата;<br>● Соработка со Македонска Национална Агенција за европски образовни програми<br>● Културен дом Карпош;<br>● Предучилишните установи;<br>● Основните училишта;<br>● Центар за јавно здравје<br>● Завод за домаќинство;<br>● Фондации, спортски, здравствени, културни, научни и други институции блиски на дејноста;<br>● Совет на родители. |

**Оперативна програма за работата на доректорот**

| месец | недела | А К Т И В Н О С Т И | соработка |
|---|---|---|---|
| **Септември** | 1 недела | Изготвување на годишна програма за работа на детската градинка за 2023/24 год. | стручни служби<br>стручен колегиум<br>воспитувачи |
| | 2 недела | Обезбедување услови за почеток на учебната година | одговорни воспитувачи на објекти |
| | 3 недела | Следење, насочување и давање помош во работењето на одговорните воспитувачи | одговорни воспитувачи на објекти |
| | 4 недела | Запознавање со педагошката документација и насоки за правилно водење и следење на педагошките насоки од стручни институции. | Стручни служби<br>стручен колегиум<br>воспитувачи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Октомври** | 1 недела | Изготвување на извештај за активностите реализирани во месец септември | директор |
| | 2 недела | Следење на реализираните активности | директор |
| | 3 недела | Следење и насочување на работата на сите вработени | директор |
| | 4 недела | Консултации и советувања со вработените со цел да се подобрат констатираните недостатоци | стр колегиум, воспитунегователи |
| **Ноември** | 1 недела | Изготвување на извештај за активностите реализирани во месец октомври | директор |
| | 2 недела | Изработка на план за активностите за месец ноември | стручен колегиум директор |
| | 3 недела | Следење на реализираните активности | директор |
| | 4 недела | Тековни активности | директор |
| **Декември** | 1 недела | Изготвување на извештај за активностите реализирани во месец ноември | стручен колегиум директор |
| | 2 недела | Изработка на план за активностите за месец декември | директор |
| | 3 недела | Подготовки за новогодишните активности | стручен колегиум |
| | 4 недела | Увид во педагошката документација | стручни органи |
| **Јануари** | 1 недела | Подготовка за извештај за месец декември | стручен колегиум директор |
| | 2 недела | Изработка на план за месец јануари | стручен колегиум директор |
| | 3 недела | Следење на работата на пописната комисија | комисија за попис |
| | 4 недела | Консултации со стручни соработници | директор |
| **Февруари** | 1 недела | Подготовка за извештај за месец јануари | стручен колегиум директор |
| | 2 недела | Изработка на план за работа за месец февруари | стручен колегиум директор |
| | 3 недела | Следење на непосредната реализација на содржините на воспитно-образовни активности | директор |
| | 4 недела | Увид во педагошката документација | директор |
| **Март** | 1 недела | Изготвување за извештај за реализираните активности за месец февруари | директор |
| | 2 недела | Изработка на план за работа за месец март | стручен колегиум директор |
| | 3 недела | Консултации со одговорните воспитувачи на објектите | одговорни воспитувачи на објекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4 недела | Унапредување на дејноста на сите полиња (хигиена, исхрана , меѓучовечки односи) | стручен колегиум цел персонал |
| **Април** | 1 недела | Подготовка за извештај за активностите реализирани во месец март | стручен колегиум директор |
| | 2 недела | Изработка на план за активности за месец април | стручен колегиум директор |
| | 3 недела | Следење на реализацијата на планираните активности | директор |
| | 4 недела | Консултации со вработените за унапредување на дејноста | воспитувачи негователи |
| **Мај** | 1 недела | Подготовка за извештај за активностите реализирани во месец април | стручен колегиум директор |
| | 2 недела | Изработка на план за активности за месец мај | стручен колегиум директор |
| | 3 недела | Следење на реализацијата на планираните активности | одговорни воспитувачи на објекти |
| | 4 недела | Лично стручно усовршување (запознавање со педагошките концепти во европските замји) | директор |
| **Јуни** | 1 недела | Изготвување на Годишен извештај за работа на детската градинка | стручен колегиум стручна служба |
| | 2 недела | Извештај за реализација на воспитно-образовната работа | совет на воспитувачи совет на негователи |
| | 3 недела | Извештај за реализација на материјално финансиското работење | сметководство |
| | 4 недела | Увид во педагошката документација | директор |
| **Јули** | 1 недела | Изработка на план за работа во летниот период | воспитувачи негователи |
| | 2 недела | Тековни активности | директор |
| | 3 недела | Констатирање на недостатоци на дејноста | цел персонал |
| | 4 недела | Консултации и советувања со вработените со цел подобрување на констатираните недостатоци | одговорни воспитувачи на објекти |
| **Август** | 1 недела | Изработка на план за работа за месец август | директор |
| | 2 недела | Извештај за работа во летниот период | директор |
| | 3 недела | Изработка на план за формирање на групи и распоредување на вработените | директор стручен колегиум |
| | 4 недела | Формирање на групи и давање насоки за изработка на Годишната програма за работа | директор |

## 4.2. ПРОГРАМИ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

### 4.2.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ

Работата на педагогот како координатор во планирање и програмирање на воспитно образовната работа на градинката ќе се одвива според концепцијата и барањата на Програмата и Стандардите за рано учење и развој. И оваа програмска година внимание ќе посветиме на содржините и начинот на реализација на активностите во воспитните групи, унапредување на соработката со родителите и нивна поголема вклученост во предучилишното воспитание и образование на нивните деца.

Педагогот како стручен работник и оваа година ќе работи и делува во широк стручен делукруг преку следните подрачја:

| ред. бр. | Подрачја на работа | Активности |
|---|---|---|
| 1. | Учество во планирање, програмирање и организирање на воспитно образовната работа | • Изработка на Програма за работа на педагогот;<br>• Учество во изработка на Годишната програма на работа на Градинката;<br>• Учество во изработка на Годишниот извештај на работа на Градинката;<br>• Учество во глобалното и тековно планирање на воспитно-образовната работа на воспитувачите:<br>• Структурирање на воспитно-образовните групи;<br>• Учество во избор на средства, литература и дидактички материјали. |
| 2. | Следење на реализацијата на планот и програмата на воспитно образовната работа со децата | • Педагошко, советодавна, инструктивна работа и соработка со воспитувачите и негователките, со цел унапредување на педагошката работа и нивно правилно насочување на личниот и професионален развој;<br>• Редовна и тековна контрола на педагошката документација на воспитувачите и негователките и евидентирање на истата;<br>• Редовно следење на реализацијата на воспитно образовните активности, на ниво на група и на објект;<br>• Следење на реализацијата на воспитно образовната работа во групите, а воедно и педагошко инструктивната работа ќе биде евидентирана во листа за следење на воспитниот кадар. |
| 3. | Стручна едукација-иновирање и подобрување на воспитно образовниот процес преку лична едукација и едукација на кадарот | • Насоки за набавка на педагошка стручна литература;<br>• Обработка на стручна литерарура;<br>• Обработка и толкување на современи педагошки прашања, дилеми и актуелни теми кои произлегуваат од тековната воспитно-образовна работа;<br>• Стручна соработка со Директорот;<br>• Соработка со стручните институции;<br>• Учество на семинари, симпозиуми, советувања, предавања. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Следење на детскиот развој и непосредна индивидуална и групна работа со децата | • Постојано односно континуирано следење и проучување на развојот на децата;<br>• Следење на интерперсоналните односи меѓу децата и воспитно образовниот кадар и предлагање на мерки за решавање на истите;<br>• Распоредување на ново запишаните деца во воспитно образовните групи;<br>• Следењето на адаптацијата на ново запишаните деца;<br>• Индивидуално следење на децата;<br>• Испитување на детските склоности и интереси;<br>• Следење на различни форми на соработка со семејствата на децата;<br>• Сите индивидуални следења на децата ќе бидат евидентирани со индивидуални листи за следења на дете. |
| **5.** | Соработка и советодавна работа со родителите на децата, со цел градење на одговорно родителство и јакнење на партнерските односи на градинката и семејствата на децата | • Индивидуални разговори со родителите;<br>• Организација на работилница со родителите;<br>• Организирање на заеднички посети и излети со родителите;<br>• Групни родителски состаноци;<br>• Едуцирање на родителите со различни психолошко - педагошки теми;<br>• Изработа на флаери за информирање и едуцирање на семејствата на децата; |
| **6.** | Учество во работата на стручните органи и тимови на установата | - Учество во работата на Стручниот Совет на Градинката<br>- Учество на стручните органи :<br>- Совет на воспитувачи;<br>- Совет на негователи; |
| **7.** | Соработка со поширокатa средина | Соработка со надворешни стручни институции, здруженија од областа на образованието, науката, социјалната дејност, здравството и други блиски области. |

**Оперативна програма**

| месец | АКТИВНОСТИ | соработка |
|---|---|---|
| **Септември** | • Учество во изготвување на годишната програма за работа на Установата за учебната 2023/24 год.<br>• Учество во подготовки за почетокот на програмската година;<br>• Учество во формирањето на воспитните групи;<br>• Учество во подготвување на план на активности за реализација на интерни проекти;<br>• Изготвување предлог игри и активности за работа во јаслените групи;<br>• Совети и препораки за поуспешна и полесна адаптација на ново запишаните деца; | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негователи, Родители |

| | | |
|---|---|---|
| | • Поддршка на вработените во водење педагошка евиденција и документација во писмена и електронска форма;<br>• Давање конкретни предлози за креирање на стимулативна средина и соодветно уредување на просторот;<br>• Информирање и советување на родителите околу прием, престој и полесна адаптација на децата во градинка. | |
| **Октомври** | • Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа повоспитни групи;<br>• Учество во планирање и организирање на активности по повод одбележување на Детската недела;<br>• Следење на реализацијата на воспитно-образовните активности (водење евидентни листови);<br>• Советување и инструктивна работа со родители;<br>• Идентификување на деца со несоодветно однесување и развојни потешкотии, мерки за подобрување на состојбите;<br>• Избор на игри и активности за проширување на знаењата за себе и позитивни социјални односи;<br>• Учество во планирање и реализација на проектни активности и јавни манифестации; | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негователи |
| **Ноември** | • Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;<br>• Следење на реализацијата на воспитно-образовните активности (водење на евидентни листови);<br>• Следење на дневната динамика и активности со децата;<br>• Следење на психофизичкио развој на децата;<br>• Планирање на активности за одбележување на13ти и 27ми Ноември;<br>• Учество во планирање на активности по повод испраќање на есента и тиквијада. | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негователи |
| **Декември** | • Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;<br>• Следење на педагошка евиденција и документација на воспитувачите и давање насоки за нејзино подобрување;<br>• Планирање на активности по повод одбележување на 3ти декември и Нова Година;<br>• Следење на напредувањето кај децата;<br>• Стручно усовршување на тема „Градење на парнерски односи помеѓу семејството и градинката“ | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негователи |

| | | |
|---|---|---|
| **Јануари - Февруари** | • Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;<br>• Следење на реализацијата на воспитно-образовните активности (водење на евидентни листови);<br>• Проверка на електронската педагошка евиденција по воспитно-образовните групи;<br>• Учество во планирање и реализирање на еко кампањата;<br>• Следење на напредувањата и достигнувањата на децата;<br>• Учество во планирање и реализација на проектни активности и јавни манифестации.<br>• Стручно усовршување на тема „Учење низ ликовни игри“ | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негувателi, |
| **Март – Април** | • Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;<br>• Следење на реализација на воспитно-образовни активности (евидентни листови);<br>• Следење на напредувањето на децата;<br>• Планирање и организирање на 1ви, 8ми, 21 и 22ри и 27ми Март како и 1ви 2ри, 22ри и 27ми Април;<br>• Предавање за родители „Стимулација и рана интервенција кај децата“ | Директор Стручен тим, Воспитувачи, Негователи, Родители |
| **Мај** | • Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;<br>• Учество во тимската работа за планирање и организирање на завршни приредби и одбележување на денот на градинката;<br>• Проценка на подготвеноста на децата од големите групи за поаѓање во училиште;<br>• проценка на успешноста за социјална инклузија на децата со попреченост во развојот. | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негувателi |
| **Јуни** | • Подготовка за учество на завршниот состанок на советот на воспитувачи- негувателi, анализа за реализацијата на Годишната програма и донесување заклучоци за истата;<br>• Договори, совети и насоки со воспитно образовниот тим за работењето во летниот период;<br>• Изготвување на извештај за својата работа;<br>• Проверка на постоечките воспитно- образовни групи и планирање на воспитните групи за следната програмска година;<br>• Учество во работата на комисијата за прием на деца. | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негувателi |
| | • Учество во подготовка на Годишниот извештај за работата на Установата; | Директор, Стручен тим, |

| | | |
|---|---|---|
| **Јули - Август** | • Изготвување на програма за својата работа во наредната програмска година.<br>• Разработка на стручна литература од доменот на својата работа.<br>• Проверка на педагошката евиденција и документација. | Воспитувачи, Негователи |

**Континуирано во текот на годината** :

- Учество во работата на стручните органи на установата;
- Следење на напредувањето на децата;
- Соработка со родителите, давање совети, насоки и поддршка за одредени прашања поврзани со развојот и однесувањето кај децата;
- Соработка со други предучилишни установи, училишта, културни и други институции со цел унапредување на дејноста**;**
- Планирање и организирање на стручно усовршување на вработените и лично стручно усовршување;
- Водење на Дневникот за работа на детската градинка во писмена и електронска форма, Главна книга на градинката и ХРМИС системот на градинката.

### 4.2.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ

Предучилишната установа – градинката претставува втор дом за детето, а за некои деца и најпријатно катче за престој. Периодот кога децата престојуваат во градинка е комплексен, така што сите инволвирани во развојот на детето имаат првенствена задача да го следат истиот, да ги откријат и најмалите показатели за евентуален проблем во развојот, да се преземат активности со кои ќе се стимулира и урамнотежува развојот на децата.

Статистиката покажува дека најчести и најпоживот важни се проблемите со нарушувања во говорот, бидејќи говорната и јазичната комуникација е одлика единствено за човечкиот род. Преку говорот се активираат и изразуваат интелектуалните, емоционалните, социјалните, креативно – творечките и други компоненти на личноста.

Логопедската работа многу е тешко да се одвои како посебна затоа што говорниот проблем претставува истовремено дел од психолошкиот, дефектолошкиот, психијатрискиот, педијатрискиот и невролошкиот дел од проблематиката. Најчести нарушувања со кои логопедот се сретнува се: фонолошко – артикулаторни нарушувања, нарушување на ритамот и темпото на говор (пелтечење, брз говор), специфични јазични нарушувања и аутизам.

Во рамките на своите програмски активности логопедот посебно внимание посветува на раната детекција и раната интервенција, како и третман на говорно – јазичните нарушувања кај децата.

Во соработка со другите стручни работници и соработници, логопедот значајно допридонесува за мултидисциплинарниот, холистички пристап во воспитно – образовната дејност на децата.

**Подрачја на работа**

| Ред. бр. | Содржини | Соработка |
|---|---|---|
| **1.** | Изработка на годишна програма за својата работа – оперативен план | директор,<br><br>стручен колегиум |
| **2.** | Учество во изработка на годишна програма за работа на детската градинка | директор, работни групи |
| **3.** | Изработка на распоред на денови по објекти за организирање и реализирање на логопедската работа | Стручен тим |
| **4.** | Идентификација и дијагностика на деца со говорно – јазични нарушувања од 5 – 6 години | |
| **5.** | Логопедски третман со деца кои имаат говорно – јазични нарушувања од 5 – 6 години | |
| **6.** | Поттикнување на говорно – јазичниот развој кај децата од 2-4 години, особено кај деца со фактори на ризик | |
| **7.** | Изработка на план за работа со секое дете и водење евиденција за реализација на говорно – јазичните вежби | воспитувачи, негователи, родители |
| **8.** | Соработка со воспитно – негователскиот кадар | воспитувачи, негователи |
| **9.** | Консултативно – советодавна соработка со родители за прашања и проблеми во однос на говорно – јазичниот развој на детето | стручен тим, воспитувачи, родители |
| **10.** | Стручно усовршување за воспитно – негователскиот кадар и родители | директор, стручен тим, воспитувачи, негователи, стручни институции |
| **11.** | Планирање и реализација на активности како и учество во сите тематски работилници на ниво на Општина, на ниво на град Скопје, соработка со научни и стручни институции. | институции блиски на дејноста |

| МЕСЕЦ | АКТИВНОСТИ | СОРАБОТКА |
|---|---|---|
| | **Идентификација и дијагностика на деца со говорно – јазични нарушувања од 5 – 6 години**<br>• Изработување на програма за својата работа;<br>• Учество во изработка на годишна програма за работа на детската градинка;<br>• Учество во проценка и изборот на дидактички средства и материјали; | |

| | | |
|---|---|---|
| **Септември - Октомври** | • Запознавање со воспитните групи по објекти и нивно набљудување;<br>• Детекција и идентификација на деца со говорно – јазични нарушувања, развојни нарушувања и деца со посебни потреби;<br>• Запознавање на воспитно – негувателскиот кадар со специфичните развојни потреби и пречки во развојот на децата во однос на говорно – јазичната комуникација и со последиците од јазичното нарушување на ниво на психосоцијален и едукативен план;<br>• Процена на потенцијали и слабости кај деца со говорно – јазични нарушувања;<br>• Детекција на причините за појава на нарушувања во говорот;<br>• Процена на аудитивна перцепција, дискриминација и меморија;<br>• Планирање и формирање на групи според типот и видот на нарушување за спроведување на логопедски вежби;<br>• Подготовка на дидактички материјали за логопедските вежби;<br>• Евидентирање и информирање на родителите за говорно – јазичниот статус кај детето и упатување за дополнителен логопедски третман во стручните институции. | директор, воспитувачи, негватели, деца |
| **Ноември - Март** | **Логопедски третман со деца кои имаат говорно – јазични нарушувања од 5 – 6 години**<br>• Изработка на индивидуален план за работа со деца од воспитните групи од 5 – 6 години;<br>• Водење евиденција за реализација на говорно – јазичните вежби;<br>• Спроведување на индивидуален логопедски третман кај деца со брзоплет говор и нарушен ритам и темпо на говорот – пелтечење;<br>• Спроведување на фонолошко – артикулаторни вежби, работа во група – (формирање на гласови и коригирање на неправилно формирани гласови);<br>• Автоматизација на формираните гласови во иницијална, медијална и финална положба;<br>• Вежби за правилно говорење и изразување;<br>• Изработување на логопедски вежби за спроведување во домашни услови;<br>• Следење и евидентирање на сите промени настанати во текот на третманот;<br>• Одбележување на 3 декември – меѓународен ден на лицата со посебни потреби; | деца, родители, стручен тим |

| | | |
|---|---|---|
| | • Стручно предавање за родители на тема: „Стимулација и рана интервениција на говорно – јазичниот развој во предучилишната возраст“;<br>• Одбележување на 6 Март – Меѓународен ден на логопедијата преку работилници со децата од постарите возрасни групи од 4-5 години и од 5 -6 години;<br>• Стручно предавање за воспитувачи и негователи на тема: „Играта и јазичната поврзаност“;<br>• Евидентирање од страна на стручниот тим на децата со забавен говорен – психомоторен развој и упатување на родителите за понатамошно следење и дијагностика во стручните институции;<br>• Советување и инструктивна работа со родителите;<br>• Водење евиденција за индивидуалните состаноци со родителите;<br>• Следење на усогласеноста на обликот, формите и средствата на воспитно – образовната работа со потребите и можностите на децата со проблеми во говорно – јазичниот развој. | |
| **Април - Мај** | **Опсервација и поттикнување на говорно – јазичниот развој кај децата од 2 - 4 години**<br>• Поттикнување на говорно – јазичниот развој кај децата од 2 - 4 години, особено кај деца со фактори на ризик;<br>• Вежби за орална моторика;<br>• Збогатување на речникот;<br>• Следење и вежби за правилен развој на графомоториката кај децата (цртање, боење, нижење перли, моделирање со пластелин);<br>• Учество во тимската работа во реализација на завршните активности од годишната програма. | Воспитувачи, негователи родители, стручен тим |
| **Јуни** | • Учество во Комисија за запишување на деца во градинка;<br>• Изработка на годишен извештај за својата работа;<br>• Учество во изработка на годишниот извештај на установата. | директор, стручен тим, одговорни воспитувачи |
| **Јули - Август** | • Разработка на стручна литература од доменот на својата работа;<br>• Изготвување на годишна програма за својата работа за наредната учебна година;<br>• Учество во изработка на годишната програма за работа на установата за наредната учебна година. | директор, стручен тим, воспитувачи, негователи |

➢ **Соработка со воспитно – негователскиот кадар**

- Запознавање на воспитно – негователскиот кадар со специфичните развојни потреби и пречки во развојот на децата во однос на говорно – јазичната

комуникација и со последиците од јазичното нарушување на ниво на психосоцијален и едукативен план;

- Планирање и реализирање на логопедската детекција на децата во договор со воспитниот кадар;
- Информирање на воспитно – негувателскиот кадар за деца со говорно- јазични нарушувања;
- Советодавни и консултативни разговори со воспитно – негувателскиот кадар за примена на одредени вежби за поттикнување на говорно – јазичниот развој кај децата и формирање на правилен говорен модел;
- Едукација на воспитно – негувателскиот кадар со цел зајакнување на стручната компетенција за препознавање на деца со проблеми во говорно – јазичната комуникација;
- Соработка во планирање и реализирање на воспитно – образовните содржини за децата со забавен говорен – психомоторен развој (изработка на ИОП, стратегии за поддршка и остварување на процесот на инклузија);
- Следење на усогласеноста на обликот, формите и средствата на воспитно – образовната работа со потребите и можностите на децата со проблеми во говорно – јазичниот развој;
- Учество во активности, тематски работилници и приредби на ниво на Општина.

➢ **Соработка со родители**

- Запознавање на родителите со работата на логопедот во предучилишната установа;
- Соработка со родители на ниво на установа и на ниво на воспитна група;
- Запознавање на родителите со најчестите логопедски нарушувања во предучилишната возраст;
- Соработка со родители на деца со говорно – јазични нарушувања;
- Поддршка на родителите во препознавањето и разбирањето на говорно-јазичните способности на детето;
- Информирање на родителите за постигнувањата и развојот на нивните деца;
- Давање насоки на родителите како да откријат евентуални нарушувања во говорниот и изразниот јазик кај сопствените деца;
- Советување на родителите како во домашни услови да го стимулираат говорот кај своите деца и како да работат на коригирањето на постоечките проблеми;
- Запознавање на родителите со стручна литература;
- Консултативно – советодавни разговори со родители по нивно и по барање на кадарот.

➢ **Стручно усовршување**

- Индивидуално стручно усовршување од областа на логопедијата – учество на предавања, работилници, семинари, со цел размена на искуства и соработка со стручни работници од поширокатa средина;
- Соработка со институциите ,,Завод за Ментално здравје“ и Завод за рехабилитација на слух, говор и глас“ – Скопје, за третирање на одделни развојни прашања и случаи;
- Следење на стручна литература од областа на логопедијата и учество со лични трудови;
- Стручно усовршување во установата за воспитно – негувателскиот кадар и за родители;
- Континуирана соработка со предучилишни установи во државата, други образовни, културни институции во градот, невладини организации и асоцијации.

### 4.2.3. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР

Работата на **специјален едукатор и рехабилитатор** главно се одвива преку следниве области на делување:

- Следење на развојот на децата и согледување на индивидуалните развојни потреби на децата
- Рана детекција (препознавање) на децата со потешкотии во развојот
- Отстранување или ублажување на потешкотиите во развојот на едукациско-рехабилитацискиот пристап во непосредна работа со децата во група или индивидуална работа
- Подобрување на условите за инклузија на децата со развојни нарушувања во градинката, развивање на позитивни ставови кон инклузијата, одбирање на дидактички материјали за работа
- Поддршка на родителите во разбирањето и прифаќањето на потребите на детето преку родителски состаноци, советувалиште, упатување по потреба во други установи
- Поддршка на воспитувачите во планирање на активностите во непосредна работа со децата со потешкотии во развојот
- Аналитичко – истражувачка работа (подготовка на презентации и работилници)
- Соработка со други институции (градинки, основни училишта, центри ...).

**Главни содржини на годишната програма**

| Ред. бр. | Содржини | Соработка |
|---|---|---|
| **1.** | Изготвување на сопствена програма за работа | Директор, стручни соработници |
| **2.** | Учество во изготвување на годишна програма за работа на детска градинка | Директор, работни групи |
| **3.** | Учество во изготвување на годишен извештај за работа на градинката | Директор, работни групи |
| **4.** | Учество во формирање на воспитни групи | Работни групи, одговорни воспитувачи |
| **5.** | Опсервација во сите воспитни групи | Воспитувчи, негувателиа |
| **6.** | Опсервација на децата со развојни нарушувања | Воспитувачи, Негувателиа |
| **7.** | Идентификација на децата со развојни нарушувања | Воспитувачи, негувателиа |
| **8.** | Следење на адаптација и социјализација на децата со развојни нарушувања | Воспитувачи, Негувателиа |
| **9.** | Соработка и давање насоки на воспитниот кадар за планирање и реализација на работата со деца со развојни нарушувања | Воспитувачи, негувателиа |
| **10.** | Изработка на дефектолошки план и програма за работа со деца со развојни нарушувања | Родители, стручен тим |
| **11.** | Планирање на дефектолошки третман | |
| **12.** | Реализација на дефектолошки третман | |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Консултативна и едукативна работа со родители за прашања и прашања и проблеми за развојот и воспитувањето на детето | Родители, Стручен тим, Воспитувачи, негователи |
| **14.** | Водење на педагошка документација и евиденција | |
| **15.** | Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање на училиште | Стручен тим, Воспитувачи, негователи |
| **16.** | Анализа и истражувања во разработка и унапредување на теоријата и праксата за развојот на децата и воспитно образовната работа | Стручни институции |
| **17.** | Соработка со други институции | Филозофски факултет, Невладини организации, градинки, основни училишта. |

**Оперативен план**

| | | |
|---|---|---|
| **Септември – Октомври** | • Изработување на своја програма за работа<br>• Учество во изработка на годишната програма за работа на детската градинка<br>• Поддршка во адаптацијата и социјализацијата на ново запишаните деца со развојни нарушувања<br>• Поддршка на воспитувачите во работата со деца со развојни развојни нарушувања<br>• Опсервација на децата со развојни нарушувања<br>• Индивидуално тестирање на децата со развојни нарушувања<br>• Детектирање на проблемот кај децата со развојни нарушувања<br>• Подготовка на индивидуален план и програма на децата со развојни нарушувања<br>• Подготовка на досие на секое дете<br>• Планирање на дефектолошки третман<br>• Индивидуална работа со деца со развојни нарушувања<br>• Работа во група на деца со развојни нарушувања<br>• Водење на педагошка евиденција<br>• Прибирање на податоци за подготовка на презентација<br>• Соработка и советодавна работа со родителите на деца со развојни нарушувања<br>• Соработка и стручни средби со стручниот кадар од други институции | Директор, Стручен тим, Воспитувачи, Негователи, Родители, Институции (градинки, основни училишта, Центри за развојни нарушувања ...) |

| | | |
|---|---|---|
| **Ноември – Јануари** | • Следење на адаптивниот период на ново запишаните деца со развојни нарушувања<br>• Надминување на потешкотиите при адаптација<br>• Поддршка на воспитувачите при организација и реализација на активностите со деца со развојни нарушувања<br>• Реализирање на индивидуални групни третмани<br>• Реализирање на дефектолошки третман во група<br>• Водење на педагошка евиденција<br>• Изработка на социограм<br>• Презентирање на резултатите од истражувањето | Директор,<br>Стручен тим,<br>Вопитувачи,<br>Негователи,<br>Родители |
| **Февруари - Април** | • Ретестирање на децата со развојни нарушувања<br>• Реализирање на индивидулни дефектолшки третмани<br>• Реализирање на дефектолошки третман во група | Вопитувачи,<br>Негователи,<br>Родители |
| **Мај** | • Следење на инклузијата на децата со развојни нарушувања<br>• Спроведување на индивидуални и третмани во група<br>• Советодавна работа со родителите на децата со развојни нарушувања<br>• Утврдувањена зрелоста на децата за поаѓање во училиште | Стручен тим,<br>Вопитувачи,<br>Негователи,<br>Родители |
| **Јуни** | • Изработка на извештај за својата работа<br>• Учество во изработка на годишниот извештај за работа | Директор,<br>Стручен тим,<br>Вопитувачи,<br>Негователи |
| **Јули - Август** | • Изготвување на предлог за годишната програма за работа<br>• Подготовка на дидактички материјали за тековната година | Директор,<br>Стручен тим,<br>Вопистувачи,<br>Негователи |

**Континуирано во текот на годината**

- Континуирано учество во работата на стручните тела;
- Активна соработка со стручните лица и давање на стручно мислење од доменот на својата работа;
- Стручен совет;
- Совет на воспитувачи;
- Совет на негователи;
- Соработка со родители на ниво на установа и на ниво на воспитни групи;
- Соработка со родители на деца со развојни нарушувања;

- Информирање на родителите за постигнувањето и развојот на нивните деца во домашни услови;
- Организирање и реализирање на креативни работилници;
- Консултативно - советодавни разговори со родителите на деца со развојни нарушувања;
- Планирање на активности и реализирање на проекти на ниво на Гази Баба и Град Скопје;
- Континуирана соработка со предучилишните установи, образовни установи и институции и невладини организации.

### 4.2.4. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК ПО МУЗИЧКО

Музичкото воспитание има особено значење за развојот на детската личност, како што се: музичките способности, естетските чувства, способност за разбирање и доживување на музиката, поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, музичкото изразување, стекнување култура на однесување, подготвување за активно вклучување во музичкиот живот во општествената средина.

Главните цели на музичкото образование во воспитно – образовната работа со деца од предучилишна возраст се:

- Примена на различни содржини и форми за работа за системски да се развиваат музичките способности кај децата;
- Развивање на љубов кон музиката, чувство за убаво пеење и ритам;
- Преку музиката да се поттикнуваат и способностите за цртање, рецитирање, драматизација.

❖ **Задачи на музичкото воспитание:**

- Кај децата да се побуди интерес за музиката;
- Да се развива желба за слушање музика, пеење песни, пеење и движење, свирење на детски музички инструменти;
- Да се оспособат децата за групно и индивидуално пеење;
- Да се развива осетот за мелодија, чувство за ритам и динамика;
- Да се поттикнат децата за слободни креирања и движења во зависност од текстот и музиката;
- Да се развива музички слух и помнење;
- Да се развива љубов и умеење за свирење на детски музички инструменти.

Во текот на годината стручниот соработник по музичко воспитание ќе учествува во планирање и програмирање на годишните теми,во работа на работни групи за избор на теми.

Воедно ќе остварува индивидуална работа со згрижувачкиот и воспитниот кадар и децата во воспитната група, а посебно со талентирани деца.

Своето стручно усовршување ќе го реализира во установата и надвор од неа на семинари, предавања и др.

**Оперативна програма**

| месец | недела | А К Т И В Н О С Т И | Соработка |
|---|---|---|---|
| **Септември** | 1 недела | Добредојдовте другарчиња – создавање атмосфера за новодојдените другарчиња | стручни работници воспитувачи, негователи |
| | 2 недела | Слушање на химната на Р.С.Македонија - децата го доживуваат свечениот карактер на песната | |
| | 3 недела | Запознавање на мојата татковина преку песна | |
| | 4 недела | Слушање на песни за моето семејство | |
| **Октомври** | 1 недела | Детска недела | |
| | 2 недела | Обработка на песни за есента | |
| | 3 недела | Утврдување на песни за есента | |
| | 4 недела | Слушање на песни за есента | |
| **Ноември** | 1 недела | Обработка на песна „Моето тело“ | |
| | 2 недела | Музичко подвижна игра – „Кога си среќен“ | |
| | 3 недела | Слушање на песни за мојот град – „Скопје граду мој“ | |
| | 4 недела | Подготовки за есенска прослава и испраќање на есента | |
| **Декември** | 1 недела | Обработка на песна за зима | |
| | 2 недела | Слушање на песни „Четири годишни времиња и Часовник“ | |
| | 3 недела | Слушање на новогодишни песни | |
| | 4 недела | Дедо Мраз во нашата градинка | |
| **Јануари** | 1 недела | Зимски радости-песни за зима | |
| | 2 недела | Запознавање со детски музички инструменти – Барабанче,чинели,триангл; | |
| | 3 недела | Слушање на музика „Четири годишни времиња“, Антонио Вивалди - Зима | |
| | 4 недела | Концерт од изучени песни за зима | |
| **Февруари** | 1 недела | Музичко подвижна игра „Дедо Коле“ | |
| | 2 недела | Обработка на песна „Шарко“ | |
| | 3 недела | Слушање на песни за шумски животни | |
| | 4 недела | Повторување на изучени песни | |
| **Март** | 1 недела | Слушање на песни за пролет | |
| | 2 недела | Обработка на песни за мајка | |
| | 3 недела | Пеење песни за екологија | |
| | 4 недела | Слушање на инструментална музика | |
| **Април** | 1 недела | Априлијада | |
| | 2 недела | Слушање на песни за сообраќај | |
| | 3 недела | Обработка на песна – „Патувам, патувам“ | |
| | 4 недела | Слушање на песни за професиите | |
| **Мај** | 1 недела | Обработка на песна за „Планетата земја“ | |
| | 2 недела | Слушање на песни и звуци од природата | |
| | 3 недела | Концерт од песни по повод ден на семејството | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4 недела | Завршни приредби | |
| **Јуни** | 1 недела | Збогум градинке завршна приредба на децата од големите групи | |
| | 2 недела | Слушање музика „Четири годишни времиња“ - Антонио Вивалди - Лето | |
| | 3 недела | Концепт за песни во летниот период | |
| | 4 недела | Музика и движење | |
| **Јули** | Слободни активности - слушање на музика, пеење на песни, музика и движење | | |
| **Август** | Слободни активности - слушање на музика, пеење на песни, музика и движење. | | |

## 5. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Со цел за обезбедување здрав и безгрижен престој на децата во детската градинка ќе се остварува континуирана соработка со родителите преку најразлични форми и содржини.

| Форми на соработка со родителите | Цел |
|---|---|
| • Активно вклучување на семејството во планирање и организирање на активностите од програмата за воспитно образовната дејност: приредби манифестации,посети, акции...<br>• Вклучување на родителите во одделни активности заради запознавање со условите во кои престојуваат децата и подобрување на условите за работа;<br>• Родителски средби на индивидуално и групно ниво;<br>• Работилници од едукативен и креативен карактер;<br>• Информирање на родителите преку веб страна, огласна табла, флаери, брошури, соопштенија, сандачиња за предлози и забелешки;<br>• Отворени денови на родителите;<br>• Интернет страница за родителите;<br>• Посета на работно место на родителите<br>• Советувалиште за деца и родители преку давање насоки за правилно воспитување и одгледување на децата;<br>• Насочување на родителите за користење на поддршка на надворешни стручни институции;<br>• Препорака на стручна литература и други информативни материјали;<br>• Анкетни прашалници. | • Соработка со родителите заради унапредување на условите за престој на децата во градинката;<br>• Запознавање со спецификите на дејноста на установата;<br>• Усогласување на воспитните ставови и влијанија кај децата;<br>• Поддршка на семејствата во изнаоѓање на решенија за одделни развојни прашања, проблеми, состојби;<br>• Предлог за активности и содржини кои можат да ги практикуваат во заедничкото време со децата дома;<br>• Насочување во изборот на постапки и средства во однос на позитивните влијанија во воспитувањето и развојот на децата;<br>• Соработката на семејството се засновува на усогласување на позитивните влијанија во грижата за здравјето, развојот, воспитанието и образованието на децата;<br>• Формирање на позитивен став кон предучилишните установи. |

Соработката со семејството е важна за обезбедување правилен и оптимален развој на детето и во оваа програмска година ќе има за цел да ги поттикне родителите активно да се вклучат во реализација на воспитно образовниот процес преку договор за реализирање на одредени теми, изработка на дидактички средства и материјали, работилници, заеднички посети, приредби, дружење и сл.

Градинката останува отворена за соработка со родителите кои се добредојдени да ги споделат нивните идеи и иницијативи со кои би придонеле за унапредување на дејноста. Свој придонес родителите можат да дадат и преку учество во Советот на родители на градинката.

## 5.1. Совет на родители

Советот на родители е орган именуван согласно Законот за заштита на децата и Статутот на детската градинка, а го сочинуваат претставници на родители чии деца престојуваат во градинката. Советот на родители дава свој придонес во активностите за унапредување на дејноста прекудавање свои предлози, мислења и вклучување во следните активности:

- Ја следи, разгледува и дава свое мислење за остварување на дејноста на установата;
- Ги разгледува и дава свое мислење за годишната програма за работа и годишниот извештај за работа на установата;
- Учествува во проекти и работилници за реализација на воспитно образовната програма;
- Се вклучува во работата на органот на управување - управниот одбор на детската градинка преку свои претставници;
- Остварува контакти со надлежни институции за подобрување на условите за работа и престој на децата во установата;
- Се ангажира во изнаоѓање средства, донации за подобрување на условите за престој на децата.

## 5.2. Советувалиште за деца и родители

Голем број истражувања поврзани со детскиот развој потврдуваат дека искуството со кое децата се соочуваат во текот на раното детство претставува критичен момент за психомоторниот и социјалниот развој на детето. Воспитно – образовниот процес претставува особен предизвик во кои децата се обликуваат и се подготвуваат да се соочат со свет полн со предизвици.

Примарна институција и најважен фактор за развој на детето е семејството.

Во рамките на семејството детето на најадекватен начин ја остварува потребата за љубов, заштита, сигурност, ги развива потенцијалите под влијание на голема и трајна воспитна моќ.

Градинката како поддршка на родителите со својата организациона, програмска и кадровска поставеност остварува згрижувачка и воспитно – образовна дејност со која го поддржува семејството во позитивните влијаниа во сите развојни домени и напредокот на детето. Соработката помеѓу семејството и градинката се заснова на заедничка грижа за развојот и воспитувањето на детето, меѓусебна доверба и почитување.

Повеќето родители учат како што наидуваат проблемите, под влијание на начинот на кој тие биле одгледувани или раководејќи се со она што го виделе или прочитале. Тие имаат различен стил на воспитување, но нивната цел е заедничка децата да израснат во здрави, среќни, успешни, задоволни, чесни, грижливи и одговорни возрасни личности.

Современиот начин на живот предизвикува состојби и појави во семејството кои ја нарушуваат позитивната атмосфера во своето функционирање.

**Промените влијаат и зафаќаат повеќе аспекти од семејната заедница:**

- Семејни односи (интеракција, комуникација)
- Статусот на членовите на семејството

- Организација на животот во семејството
- Воспитни стилови
- Измени или губење на одредени функции на семејството

**На квалитетот на семејното живеење директно влијание имаат:**

- Нарушување на материјално економската егзистенција на семејството
- Миграција на семејството
- Еманципација на жената и вклучување во општествениот живот
- Расчекор меѓу потребите на новото време и можностите на семејството

Во голема мера врз развојот на детето влијаат и спецификите, како:

- Преангажираност на родителите во трка за егзистенција, отсуство од дома
- Воспитна запоставеност
- Разводи
- Самохрани родители
- Нарушени семејни односи (насилство, алкохолизам, наркоманија) итн.

Вакви кризи се одразуваат на адаптибилноста на семејството кон настанатите промени и доведуваат до последици во развојот на детската личност.

Динамиката и проблемите со кои се соочува семејството во денешново време упатува на потреба од поддршка и интервенција на општествено ниво. Главните пунктови на дејствување би биле следните:

- Подобрување на животниот стандард
- Педагошка информираност и едукација за квалитетен семеен живот
- Запознавање на законската регулатива со детските и родителските права, должности и одговорности
- Посочување на институциите за успешно остварување на семејните функции.

Партнерството со семејството кое се базира на добра соработка ќе продолжи и во понатамошниот период.

Советувалиштето за деца и родители го сочинува стручен тим во состав: педагог, логопед и специјален едукатор и рехабилитатор. Својата работа ќе ја остварува во просториите кои се наоѓаат во матичниот објект Мимоза, но по потреба средбите со родителите како индивидуална и групна работа со децата и кадарот ќе се реализира и во останатите објекти на градинката зависно од потребите. Работното време е организирано според работното време на стручните работници од 7 до 15 часот кои во текот на неделата ротираат во сите објекти по претходно утврден распоред, а петок е ден кога сите стручни работници се во просториите на советувалиштето.

**МИСИЈА:**

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ МОТИВИРАЧКА И АНГАЖИРАНА СРЕДИНА ЗА РАНО УЧЕЊЕ, КОЈА ЕФИКАСНО ГИ ПОДДРЖУВА РАЗЛИЧНИТЕ ПОТРЕБИ НА ДЕЦАТА И СЕМЕЈСТВАТА ВО НАШАТА ЗАЕДНИЦА

**ВИЗИЈА**

ВЕРУВАМЕ ВО СОЗДАВАЊЕ СИЛНА ОСНОВА НА ПОЧИТ, ЉУБЕЗНОСТ И ЕМПАТИЈА КАДЕ СЕКОЕ ДЕТЕ ОД ПРЕДУШИЛИШНА ВОЗРАСТ МОЖЕ ДА ГО ДОСТИГНЕ СВОЈОТ ЦЕЛОСЕН ПОТЕНЦИЈАЛ

Во рамки на советувалиштето формиран е и инклузивен тим во состав специјален едуактор и рехабилитатор, логопед, педагог и четири воспитувачи кои имаат обука за инклузија на деца со посебни потреби.

**Цели на инклузивниот тим**:

- Рано препознавање на доцнење во психомоторниот развој кај децата;
- Изработка на индивидуален план за поддршка на децата;
- Следење на развојот на децата со потешкотии;
- Поддршка и советување на родителите во воспитниот процес;
- Развивање на свеста за различности кај останатите деца и нивните родители (преку работнилници, обуки);
- Работилници и обуки од инклузивниот тим за воспитувачите и негователите;
- Поддршка во целокупната работа на градинката со деца со потешкотии во развојот.

Според современите трендови и најновите научни сознанија од доменот на детскиот развој, децата од предучилишната возраст ќе бидат со максимална опфатеност и еднаков приод во реализација на најразлични форми и програми.

На тој начин децата добиваат поддршка да спознаат, да разберат и да се прифатат себеси, да го истражуваат сопственото опкружување изградувајќи однос на разбирање и толеранција.

Советувалиштето својата работа ќе ја врши преку следните форми:

- Советување на родителите;
- Советување на децата;
- Советување на кадарот;
- Соработка со надворешни стручни институции;
- Организирање на стручни предавања, работилници,презентации.

Важен сегмент во работата на советувалиштето ќе се посвети на усогласување на воспитните влијанија, ставови, пристапи за однесувањето на децата, како и подобрување на комуникациските вештини и родителските улоги. Преку едукативни работилници родителите ќе се запознаат со карактеристиките на развојот на децата за секоја возраст следени со совети како да се надминат одредени ситуации и фази во однесувањето на детето. Едукацијата ќе опфати предавања, работилници, вклучување во проекти и користење мрежа на надворешни стручни институции и предавачи од одредени области.

**Советувањето на родителите опфаќа**:

- Информирање на родителите за организационата и програмската поставеност на установата;
- Советување на родителите за полесна адаптација и социјализација на детето во градинката;
- Советување и давање насоки за правилно воспитување и одгледување на децата;
- Предлог на игри и активности кои можат да ги практикуваат во заедничкото време дома за поттикнување на раниот детски развој;
- Едукација на родителите за воспитувањето и развојот на децата;
- Насочување на родителите за користење на поддршка на надворешни стручни институции за надминување на одредени развојни состојби и прашања.

Советувалиштето ќе има за цел континуирано да дава поддршка на родителите и стручна помош при решавање на сите проблеми и нејаснотии поврзани со престојот на детето во градинката, но и совети за животот на детето во семејството.

Инклузивниот тим континуирано ќе го следи развојот, а посебно внимание ќе се посвети на децата кои ќе имаат потреба од индивидуална поддршка. Во однос на непосредната работа со децата, родителите редовно ќе добиваат информации и совети. Посебно внимание ќе се посвети на децата со специфични развојни потреби, како за деца со потешкотии во развојот,така и за деца со повисоко ниво на вештини-талент и креативност.

**Советодавната работа со децата опфаќа:**

- ✓ Индивидуална помош при адаптација на новата средина во градинката;
- ✓ Индивидуална и групна помош при при премин од една во друга воспитна група, од една во друга градинка или од градинка во училиште;
- ✓ Индивидуална помош на деца со развојни потешкотии;
- ✓ Индивидуална помош и советување кај деца со несоодветно однесување во групата;
- ✓ Поттикнување и индивидуален пристап со надарени деца;
- ✓ Советување и помош за деца со семејни проблеми;
- ✓ Едукативни работилници за одржување на хигиената;
- ✓ Едукативни работилници за здрава и правилна исхрана и безбедно однесување.

Советувалиштето дава поддршка и на кадарот со цел подобрување на нивните компетенции и надминување на одредени ситуации кои произлегуваат од одредени фази во однесувањето на децата, и соработката со родителите.

Поддршката за кадарот ќе се реализира преку вклучување во проекти и едукативни работилници, а дел од активностите ќе се реализираат во соработка со соодветни научни стручни институции од доменот на дејноста.

**Советодавната работа со кадарот опфаќа:**

- ➢ Советување и обуки за креирање услови во градинката за правилен развој на децата и градење на здрави интерперсонални односи меѓу децата и меѓу децата и возрасните;
- ➢ Стручна помош за олеснување на процесот на адаптација на децата на градинката, особено на децата со развојни потешкотии;
- ➢ Стручна помош и обука на вработените во процесот на опсервација и користење на инструменти за процена на развојните постигнувања на децата;
- ➢ Совети за примена на соодветни воспитни постапки и техники на дисциплинирање на децата;
- ➢ Совети за градење на позитивна социо емоционална клима;
- ➢ Советување за примена на стратегии за поттикнување на јазичниот и говорниот развој;
- ➢ Совети за примена на ефикасни методи и стратегии за поттикнување на когнитивниот развој и позитивниот пристап кон учење;
- ➢ Совети за превземање на превентивни мерки за спречување на заразно заболување;
- ➢ Совети за усвојување на културно-хигиенските навики кај децата и вработените;

- Совети за создавање ефективни и ефикасни тимови за работа на одредени задачи.

Фокус во работата на Советувалиштето е усогласување на родителите и кадарот во воспитните влијаниа, ставови и постапки кон однесувањето на детето.

Во текот на годината ќе се реализираат едукативни тематски предавања и работилници кои треба да помогнат за подобрување на компетенциите на воспитно-згрижувачкиот кадар, унапредување на родителските улоги, подобрување на соработката и градење на доверба помеѓу семејството и градинката.

**Годишен распоред на опфатени теми**

Во рамките на работата на Советувалиштето ќе се реализираат едукативни предавања и работилници на различни теми што имаат за цел продлабочување на соработката помеѓу родителите и установата, поддршка на децата и семејствата, како и подобрување на компетенциите на вработените.

Во дел од програмските активности ќе се вклучат и стручни лица од надворешни научни и стручни институции блиски на нашата дејност.

1. **Интерактивни обуки за воспитно-згрижувачкиот кадар**

- Градење на партнерски нодноси меѓу семејството и градинката
- Учење низ ликовните игри

2. **Интерактивни обуки за родителите**

- Како да му помогнеме на детето во првите денови во градинка;
- Едукативни работилници „Играта и јазичната поврзаност“
- Едукативна семејна работилница „Стимулација и рана интервенција на децата од предучилишна возраст“.

**Институции** со кои ќе соработува советувалиштето

- Општина Гази Баба
- Филозофски Факултет –Институт за педагогија, психологија и специјална едукација и рехабилитација - Скопје
- Универзитетска Детска клиника – Мајка Тереза, Скопје
- Завод за ментално здравје на деца и малдинци „Младост“, Скопје
- Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје
- Центар за социјални дејности, Скопје
- Црвен крст на Р.С.М
- Центар за ран детски развој

## 6. СОРАБОТКА СО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ, СПОРТСКИ, ЗДРАВСТВЕНИ, КУЛТУРНИ, НАУЧНИ И ДРУГИ УСТАНОВИ, ФОНДАЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА

Установата со цел подобрување и унапредување на дејноста ќе оствари соработка со воспитно - образовните, научни и културни институции. Тоа подразбира ангажирање и анимирање на поединци од различни професии, организации, вредности од областа на културата, уметноста, науката, медиумите за да се обезбеди поквалитетен воспитно – образовен процес.

За правилен раст и развој на децата од најрана возраст до периодот на поаѓање во училиште од особено значење е соработката со здравствените институции со цел размена на искуства, збогатување на знаењето за правилен пристап кон превентивната здравствена заштита посебно во услови на пандемија, унапредување на здравјето и обезбедување услови.

Соработката со фондации и здруженија се остварува со цел за подобрување на условите за престој и создавање на модерна, естетска пријатна средина на децата во согласност со најновите стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Се користат најразлични форми на соработка:

- индивидуални средби
- семинари, симпозиуми, состаноци
- стручни предавања, од различни области
- меѓународни трибини
- меѓусебна соработка со предучилишни установи, размена на искуства,
- следење на нагледни активности, проекти, приредби и прослави, спортски манифестации
- учество на проекти, акции и манифестации на ниво на град и република...
- институции за едукација на кадарот за усовршување на дејноста...

| С о р а б о т к а | Ц е л |
|---|---|
| • Општина Гази Баба;<br>• Министедрство за труд и социјална политика;<br>• Биро за развој на образованието;<br>• Министерство за образование;<br>• Министерство за здравство;<br>• Педагошки факултет;<br>• Филозофски факултет - катедри за педагогија, психологија и специјална едукација и рехабилитација;<br>• ФЗХН и ПМФ<br>• Републичкиот и градскиот совет за грижи и воспитување на децата;<br>• Детски културен центар Карпош;<br>• Предучилишните установи;<br>• Основните училишта;<br>• Фондации, граганси зцруженија и други институции блиски на дејноста..<br>• Медиуми,издавачки куќи;<br>• Спортски и Еколошки здруженија. | • Следење на современите педагошки психолошки истражувања и сознанија и нивна имплементација за осовременување на воспитно образовниот процес;<br>• Едукација на кадарот за примена на современите методи и форми на работа;<br>• Воведување иновации во целокупната дејност;<br>• Обезбедување на подобри услови за безгрижен престој на децата во установата;<br>• Афирмација на градинката. |

## 7. КУЛТУРНА ЈАВНА ДЕЈНОСТ

Програмата за културна и јавна дејност на градинката вклучува одбележување на повеке празници значајни за Р.С.Македонија и нејзината традиција како и одбележување на интересни меѓународни денови. Целта на програмата е кај децата да се поттикнуваат патриотските чувства, љубов кон татковината и традицијата, подготовка за сценски настап, дисциплина, јакнење на самодовербата. За поуспешна реализација на задачите од програмата за културна јавна дејност, градинката ќе биде отворена за соработка со поширокатa заедница и активно ќе учествува во проекти и активности во кои ќе биде поканета. Распоредот на активности ќе се одвива според календарот на значајни датуми кои започнуваат од месец септември до месец јуни.

**Активности ЗА и СО децата**

| Програмски содржини | објекти-реализација | Време реализација |
|---|---|---|
| • Добро ни дојдовте во градинка - одбележување на почетокот на учебната година<br>• 8ми септември - Ден на независноста на Р.С.Македонија<br>• 09ти септември – Ден на бабите и дедовците<br>• 14ти септември – Ден на таткото<br>• 22ри септември – Ден без автомобили | сите објекти | **септември** |
| • **Детска недела**<br>• Мото на Детска недела<br>• Ликовни работилници –постер на желби и пораки<br>• Претстави за деца<br>• Спортски игри без граници<br>• Пееме за детските права и желби<br>• Хуманитарна акција<br>• 05ти октомври- Светски ден на учителот<br>• 15ти октомври -Светски ден на миење раце и на пешачењето;<br>• 16ти октомври- Ден на здравата исхрана;<br>• празнуваме 11ти и 23ти октомври<br>• 31ви октомври- Светски ден на штедењето | сите објекти | **октомври** |
| • Одбележување на денот на општината Гази Баба 3ти ноември<br>• Одбележување на празникот 13ти ноември<br>• Вклучување во манифестацијата „Го градиме нашиот град“<br>• Тиквијада<br>• Испраќање на есента /цртежи, приредби/ | сите објекти | **ноември** |
| • Одбележување на меѓународениот ден на лицата со посебни потреби 3ти декември<br>• 15ти декември – светски ден на чајот<br>• новогодишни празнувања | сите објекти | **декември** |

| | | |
|---|---|---|
| • одбележување на народни обичаи и прослави по повод нашите празници: Коледе,Бадник,Божик,Василица,Водици<br>• 18ти јануари– светски ден на снешкото<br>• 26ти јануари светски ден на образованието за заштита на животната средина | сите објекти | **јануари** |
| • 1ви февруари - светски ден на читањето на глас<br>• 20ти февруари – светски ден љубов кон миленикот<br>• 27ми февруари- меѓународен ден на поларната мечка | сите објекти | **февруари** |
| • 1ви март– Мартинки<br>• 2ри март – светски ден на книгата<br>• 8ми март- денот на жената<br>• 18ти март – светски ден на раскажувањето<br>• 21ви март – ден на пролетта денови на Екологијата<br>• 21ви март - Светски ден на лицата со Даунов синдром<br>• 22ри март –Меѓународен ден на водата<br>• 27ми март – светски ден на театарот | сите објекти | **март** |
| • 1ви април ден на шегата - Априлијада<br>• 2ри април Меѓународен ден на лицата со Аутизам<br>• 7ми април ден на здравјето<br>• 22ри април ден на планетата Земја<br>• Велигденски работилници<br>• 29ти април -светски ден на танцот | сите објекти | **април** |
| • 3ти мај -ден на сонцето<br>• 15ти мај -меѓународен ден на семејството<br>• 24ти мај - ден на градинката<br>• завршна приредба Збогум градинке | сите објекти | **мај** |
| • 1ви јуни – меѓународен ден на детето<br>• 8ми јуни – светски ден на најдобри другари | сите објекти | **јуни** |

Аактивностите од програматав за културна јавна дејност ги вклучуваат децата како директни учесници. Во текот на годината децата ќе земат учествуво на ликовни и други креативни конкурси на кои ќе бидеме поканети. Како градинка ќе земеме учествуво и во манифестации во организација на институции блиски на дејноста. Во текот на годината ќе се реализираат и еко акции и кампањи како дел од еколошкта едукација на децата во градинката. Сите активности од програмата за културно јавна дејност ќе биддат добро осмислени со цел осамостојување на децата и јакнење на самодовербата.

## 8. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Континуирано стручно усовршување на вработените е предуслов за квалитет во воспитно-образовната дејноста на градинката. Перманентно надополнување на нивното знаење, стручност и компетентност при реализирање на работните задачи е значајно за реализирање на активностите со децата. Затоа во текот на годината ќе се реализира стручното усовршување на вработените низ повеќе форми и тоа:

- Учество на обуку, семинари организирани на ниво на град и републиката;
- Учество на меѓународни конференции, симпозиуми и советувања од областа на педагогијата, психологијата, воспитанието, образованието, здравството, правно административни и финансиски дејности, човечки ресурси;
- Едукација на кадарот во детската градинка, организирани предавања од експерти;
- Стручно усовршување преку учество во реализација на проекти;
- Лично стручно усовршување - избор на стручна литература;
- Стручни средби со други детски градинки и училишта;
- Работилници организирани од стручни институции и организации и интерно;
- Учество во различни форми на стручно усовршување организирани од други надворешни стручни институции.

Стручното усовршување на вработените ќе се реализира континуирано во текот на целата година преку учество на семинари и обуки, стручни предавања понудени од стручни институции соодветни на дејноста кои ќе придонесат за подобрување на компетенциите на кадарот како и унапредување на работата на установата. Во зависност од обуките кои ќе бидат понудени во текот на годината ќе се изберат оние кои ќа бидат во интерес на јакнење на компетанциите на вработените.

Стручното усовршување на вработените ќе се реализира и преку лично стручно усовршување преку консултирање на стручна литература со цел да се биде во тек со најновите сознанија од обаста на педагогијата и психологијата.

Унапредување на способностите на вработените ќе се реализира и преку реализација на проекти. Целите, задачите, активностите кои ќе се реализираат ќе се осмислуваат тимски. Преку проектите кои ќе се реализираат во оваа програмска година се стекнуваат практични искуства за методолошкиот пристап при реализација на содржините, следење и евалуација на постигнатите резултати. Тие ќе придонесат за подобрување на стручните компетенции на воспитно-згрижувачкиот кадар.

Во текот на годината ќе се продолжи со обуки за унапредување на социо-емоционалните компетенции на воспитувачите и поттикнување на социо-емоционалниот развој кај децата од предучилишна возраст.

Во текот на годината ќе се реализираат и неколку интерни стручни предавања од страна на стручните работници на градинката кои ќе придонесе за унапредување на работните компетенции на вработените и нивната работа со децата од предучилишна возраст.

## 9. РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ

### 9.1. СТРУЧЕН СОВЕТ

Стручниот совет на градинката го сочинуваат директорот, стручните работници, стручните соработници и лица со посебни овластувања кои вршат стручни работи во установата. Со Стручниот совет на градинката раководи директорот, а како орган ги реализира следниве активности:

- Утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа;
- Дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата на работа и условите за работа;
- Именува и разрешува претставник на детската градинка во управниот одбор од редот на вработените;
- Ја реализира програмата за стручно усовршување.
- Учествува во планирање и следење на реализацијата на програмите за работа;
- Соработува со Советот на родители, Советот на воспитувачи и Советот на негователи;
- Врши други работи кои произлегуваат од реализирањето на плановите и програмите за остварување на дејноста.

**Оперативен план**

| Време на реализација | Работи кои ги реализира |
|---|---|
| **На годишно ниво** | • утврдува стручни основи за остварување на програмата;<br>• дава мислење,предлози до директорот во поглед на организацијата на работа и условите за работа во установата;<br>• учетсвува во изготвување на годишната програма и планови за работа и ја утврдува динамиката за нивно остварување;<br>• ги разгледува извештаите за извршен стручен надзор во установата за реализирањето на програмите и постапува по добиени насоки;<br>• прави план за стручно усовршување на кадарот;<br>• ги утврдува потребите на објектите за игровен, дидактички и друг материјал за работа со децата, како и потребите од основни средства и потрошен материјал за за нормално реализирање на дејноста;<br>• дава предлози за подобрување на условите за престој на децата во установата. |
| **Септември - Декември** | • дава насоки за водење за педагошката евиденција и документација;<br>• учествува во разработка на теми за тематско планирање за реализација на воспитно образовната работа;<br>• учествува во формирање на воспитни групи;<br>• усогласување на концептот за културна и јавна дејност со тематското планирање;<br>• проектни активности од годишната програма;<br>• тековни прашања од работата во објектите. |
| **Јануари** | • анализа на згрижувачката и воспитно - образовната работа; |

| | |
|---|---|
| **–<br>Јуни** | • анализа за водење на педагошката евиденција и документација;<br>• планирање и реализирање на завршни активности и презентации на проектите;<br>• планирање и реализирање на завршни приредби<br>• изготвување на план за работа во летниот период<br>• изготвување на годишен извештај за работата на установата. |

## 9.2. **СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ**

Стручен орган на градинката претставува советот на воспитувачи и со него раководи директорот. Советот на воспитувачи го сочинуваат сите воспитувачи на градинката, а во работата на советот на воспитувачи на состаноците секогаш се вклучени стручните работници и стручните соработници. Во текот на годината советот на воспитувачи ќе реализира редовни средби на кои ќе се договара за реализацијата на воспитно-образовната програма и ќе се разгледуваат прашања од различни области кои произлегуваат од специфичноста на работата, но и од моментално актуелни проблеми. Советот на воспитувачи ги реализира следните активности:

- Го усогласува работењето на воспитувачите во детската градинка;
- Прави избор на содржини за работа согласно програмата за работа;
- Учествува во планирање и реализирање на програмите за работа;
- Ја следи реализацијата на програмата за стручно усовршување на воспитувачите;
- Соработува со Советот на родители и Советот на негователи;
- Врши други работи кои произлегуваат од реализирањето на плановите и програмите за остварување на дејноста.

Согласно целите на воспитно образовната програма улогата на воспитувачот ќе се состои во:

- Следење на детскиот развој;
- Почитување на детските индивидуални потреби и можности кои ги зема во предвид при планирање и реализирање на воспитно образовната дејност;
- Интегрирано планирање и реализирање на воспитно-образовната дејност;
- Мотивирање на децата кон различните видови активности;
- Обезбедување стимулативна средина и позитивна атмосфера, во работата со децата;
- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процес;
- Водење на досие за детето;
- Соработување со семејството;
- Соработка со стручниот тим;
- Соработка со стручни, научни и други институции;
- Учество на стручни собири;
- Разработка на стручна литература и прирачници за работа;
- Естетско оплеменување на ентериерот и екстериерот на градинката;
- Поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализацијата на целите.

**Оперативен план**

| Време на реализација | Работи кои ги реализира |
|---|---|
| **Септември - Октомври** | • Програмски активности и содржини на почетокот на годината<br>• Планирање на годишната програма<br>• Усогласување на начинот на водење на педагошка евиденција и документација<br>• Договор за одржување родителски средби<br>• Одбележување на 8ми септември<br>• Одбележување на 9ти септември – Ден на бабите и дедовците, 14ти септември – Ден на таткото и 22ри септември – Ден без автомобили<br>• Детска недела-концепција за текот на активностите<br>• Одбележување на 5ти октомври - Светски ден на учителот, 16ти октомври - Ден на здравата исхрана,21ви октомври – Светски ден на штедење на енергија; 31ви октомври- Светски ден на штедењето<br>• Одбележување на 11ти и 23тиоктомври |
| **Ноември - Декември** | • Испраќање на есента –концепција<br>• Проверка на педагошка евиденција и документација<br>• Анализа за реализација на воспитно-образовната работа во претходните месеци;<br>• Договор за одбележување на 13тиноември - Скопје слави роденден, 27ти ноември -Тиквијада, 3ти дкември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби, 15ти декември – Светски ден на чајот<br>• Прослава на нова година-дочек на Дедо мраз |
| **Јануари - Февруари** | • Анализа за реализација на воспитно-образовната работа во претходните месеци<br>• Договор за одбележување на 18 ти јануари – светски ден на снешкото, 26 ти јануари – светски ден на образованието за заштита на животната средина, 1ви февруари - светски ден на читањето на глас, 20ти февруари – светски ден љубов кон миленикот, 27ми февруари- меѓународен ден на поларната мечка |
| **Март - Април** | • Договор за одбележување на на 1ви март, 8ми март- денот на мајката; 18ти март – светски ден на раскажувањето; 21ви март – ден на пролетта и ден на шумите; ден на лицата со Даунов синдром; 22ри март – ден на водата; 27ми март – светски ден на театарот<br>• Одбележување на денот на лицата со Даунов синдром и меѓународниот ден за поддршка на лицата со Аутизам;<br>• Одбелажување на 7ми април – светски ден на здравјето ; 22ри април – ден на планетата Земја; 29ти април – ден на танцот;<br>• Априлијада – дефиле на маски<br>• Договор за одбележување на Велигден |

| | |
|---|---|
| **Мај<br>-<br>Јуни** | • Договор,концепција и организација за активностите за завршната приредба<br>• Договор за одбележување 3ти мај -ден на сонцето; 15ти мај – ден на семејството; 24ти мај – ден на градинката презентација на интерните проекти<br>• Годишна анализа на воспитно образовната работа |
| **Јули<br>-<br>Август** | • Договор за работа во летниот период<br>• Средување на работните простории за започнување на новата програмска година<br>• Договор за одбележување на1ви јуни – меѓународен ден на детето, 8ми јуни – светски ден на најдобри другари,<br>• Лично стручно усовршување за воведување на современи педагошко - психолошки методи за работа |
| **Континуирано** | Создавање на на пријатна и стимулативна средина преку организиран систем на содржини која на детето ќе му овозможи спознавање на себеси и својата околина, како и стекнување на нови искуства и знаења. |

## 9.3. **СОВЕТ НА НЕГУВАТЕЛИ**

Стручен орган на градинката претставува и советот на негувателикој го сочинуваат негувателите вработени во установата и со него раководи директорот на градинката. Во текот на годината советот на негувателиќе разгледува и решава прашања од згрижувачко-воспитен и превентивно-здравствен карактер. Активности кои ги извршува Советот на негователи се следниве:

- Го усогласува работењето на негувателите во установата;
- Ја следи реализацијата на програмата за стручно усовршување на негувателите во установата;
- Разгледува содржини за работа согласно програмата за работа;
- Соработува со стручниот совет, советот на воспитувачи и советот на родители.

Негувателите преку секојдневните активности на згрижување и нега на децата, им помагаат во развивање на културно хигиенските навики и правилен психофизички раст и развој.

Тие се носители на згрижувачко - воспитната работа и основни задачи им е да ги поттикнат, насочат и развијат спонтаните активности на детето почитувајќи ја неговата индивидуалност во откривање, адаптација, интеракција со возрасните и околината. Негувателите ја реализираат згрижувачката дејност и се вклучуваат во реализирање на испланираниот тек на денот. Учествуваат во осмислување на просторот педагошки, естетски и креативно почитувајќи ги притоа начелата од здравствен, хигиенски и безбедносен аспект.

Негувателите заедно со воспитувачите остваруваат соработка со семејството која се заснова на усогласување на позитивните влијанија во грижата за здравјето, развојот, воспитанието и образованието на децата.

**Оперативен план**

| Време на реализација | Работи кои ги реализира |
|---|---|
| **Септември - Октомври** | • Организирање на згрижувачката и воспитна работа<br>• Адаптација на децата<br>• Развивање на културно хигиенски навики кај децата<br>• Уредување на просториите,катчињата,паноата<br>• Учество во подготовките во реализација на детската недела, приредби, претстави |
| **Ноември - Декември** | • Учество во есенската прослава<br>• Анализа за реализација на згрижувачката и воспитна работа во претходните месеци<br>• Учество во одбележување на јавни манифестации<br>• Учество во подготовките и прославата за нова година<br>• Изработка на средства за украсување на просторот |
| **Јануари - Февруари** | • Анализа за реализација на згрижувачката и воспитна работа во претходните месеци<br>• Учество во манифестации<br>• Изработка на средства за украсување на просторот |
| **Март - Април** | • Одбележување на 1ви март, 8ми март<br>• Одбележување на денот на лицата со Даунов синдром и меѓународниот ден за поддршка на лицата со Аутизам;<br>• Априлијада<br>• Денот на планетата земја, Велигден и други манифетсции |
| **Мај - Јуни** | • Учество во подготовките за завршната приредба<br>• Учество во одбележување на јавни манифестации<br>• Годишна анализа за реализација на згрижувачката и воспитна работа |
| **Јули - Август** | • Договор за работа во летниот период |
| **Континуирано** | • Следење на здравствената состојба на децата во групата<br>• Создавање на навики за исхрана на децата и културно однесување<br>• Лично стручно усовршување преку следење на литература од областа на здравствената заштита |

## 10. ДРУГИ РАБОТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

### 10.1. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Здравјето е клучен фактор во процесот на развој на малите деца и е значајно за формирање на здрава и правилно психофизички развиена личност.

Зачувување на здравјето на децата и превенција на штетните влијанија ќе биде основна цел на која ќе се посветиме и оваа програмска година преку едукација на децата. Низ воспитно-образовно делување кај децата ќе се настојува да се формираат правилни културно хигиенски навики кои ќе придонесат да се реализира и превентивно – здравствена заштита која го вклучува целокупниот кадар.

Следењето на условите за престој на децата и превземање мерки и постапки за здравствена заштита на децата ќе биде во доменот на обврските на директорот, раководителите на објектите и воспитно – негувателскиот кадар. Заради превенција од пренесување на инфекции и болести, уште при приемот на детето ќе се бара медицинска белешка за неговата здравствена состојба и ќе се следи здравјето на децата.

Просториите во кои престојуваат деца редовно ќе се чистат, дезинфицираат и проветруваат и ќе се настојува децата дел од времето поминато во градинка да го поминат на отворен простор во дворовите за игра на градинката. Во текот на годината редовно ќе се дезинфицира приборот за јадење, играчките, санитарните јазли и најмалку два пати во годината ќе се прави ЗД на сите објекти на градинката.

Форми и содржини на здравствената заштита:

- Континуиран санитарно- хигиенски надзор на објектите;
- Континуирано следење на работата во главната кујна и дистрибутивните кујни;
- Планирање, контрола и прилагодување на исхраната односно менито според возраста на децата и сезонскиота понуда на пазарот;
- Следење на растот и развојот на децата преку антрополошки мерења;
- Обезбедување на поволни микроклиматски услови во занималните како и безбедност во истите и надвор од нив;
- Грижа за дневниот режим прилагоден на возраста и физиолошките особини на децата
- Контрола и превенција од ширење на заразни заболувања;
- Соработка со Центарот за јавно здравје во Скопје според алгоритмот за постапување во случај на појава на симптоми кај дете или вработен, како и преку планирање и реализација на санитарни систематски прегледи на сите вработени задолжително 1-2 пати годишно;
- Соработка со Заводот за здравствена заштита;
- Почитување на протоколите за работа;
- Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација со динамика на реализација на секои шест месеци, а по потреба и интервентно прскање;
- Стручни и едукативни предавања и работилници за вработените и родителите.

За реализација на мерките за здравствената заштита се остварува соработка со:

- Центар за јавно здравје
- Амбуланта - Автокоманда
- Клинички центар-детска клиника
- Завод за рехабилитација на слух говор и глас
- Центар за социјални дејности
- Агенција за безбедност на храна
- Државен здравствен и санитарен инспекторат
- Детските градинки од градот и пошироко

## 10.2. **ИСХРАНА**

Значајно за правилниот раст и развој на малите деца е правилната исхрана. Исхраната во градинката ќе се организира согласно стандардите и нормативи за исхраната дадени од Републичкиот завод за унапредување на домаќинството. Посебно внимание ќе се посветува на изготвување на листата на јадење која се прилагодува на сезонскиот избор на зеленчук и овошје во текот на годината и во која е застапена избалансираност на сите видови на продукти важни за растот и развојот на децата. Храната ќе се подготвува во главната кујна која се наоѓа во објектот Калинка и е опремена и организирана по најновите ХАСАП стандарди. Приготвените оброци ќе се дистрибуираат во чајните кујни во објектите. Исхраната се организира во зависност од должината на престојот на децата, биолошкиот ритам на детскиот организам и од возраста на децата. Во текот на денот децата добиваат четири оброци, а за време на исхраната се работи на формирање на културно хигиенски навики и однесување.

## 10.3. **МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО ОДРЖУВАЊЕ**

**Ресурси за реализирање на дејноста**

Материјалната политика и финансовото одржување во ЈУДГ “Детска радост” општина Гази Баба - Скопје, се реализира по два основи

- буџетот на Р.С.М-наменски блок дотации
- сопствени приходи - уплата од корисници на услуги

**Наменски блок дотации**

Финансирањето на детската градинка се врши согласно буџетот на Р.С.М. односно врз основа на Методологијата за распределба на наменски блок дотации за јавните установи (Сл.весник на РМ бр.114/09)

- плати и надоместоци за вработените
- договорни услуги
- трошок за стоки и услуги - затоплување на објектите
- тековно и капитално одржување на објектите

Обезбедување на наменски блок дотации се врши со годишни и квартални планови кои се изготвуваат во соработка со Секторот за финансии и буџет на општина Гази Баба.

**Сопствени приходи**

Сопствените приходи се остваруваат врз основа на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца и износот на надоместокот на трошоците за престој во установата (Сл.весник на Р.С.М. бр. 78/04).

**План и програма за тековно-инвестиционо одржување на објектите**
**Избор на најнеопходни работи за одржување на објектите**

Секој објект поединечно има приоритетни потреби за тековно-инвестиционо одржување особено поради староста на објектите и времетраењето на користење.

Програмата ги опфаќа најприоритетните работи за реновирање согласно финансиските можности, заради обезбедување на добри услови за престој на децата.

**Тековно инвестиционо одржување на објектите**
**Поединечно прикажување-приоритет на неодложни работи**

| Ред.бр. | Опис на потребата и планирањето | Објект – градинка | Документација | Потребен буџет | Објаснување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Поставување на дел од фасада во Мимоза и фасада во Темјанушка | Мимоза<br>Темјанушка | нема | 500.000,00<br>1.500.000,00 | Фасадите во двата објекти се во лоша состојба, особено во објект Темјанушка. Во објектот Мимоза, минатата година се санираше кровот, се ставија нови олуци, но остана дел од фасадата за санација и бојадисување. |
| 2. | Во објект Сончоглед реновирање на тоалети со санитарии (два за возрасни). Во објект Мимоза реновирање на детски тоалет со водоводна мрежа од кој се прави поплава на таванот на долниот спрат. Во објект Калинка реновирање на сите шест детски | Сончоглед Мимоза Калинка | нема | 2.500.000,00 | Тоалетите се стари и нефункционални. Во објект Мимоза потребно е реновирање на детски тоалет. Во објект Калинка сите детски тоалети и едниот за возрасни се дотраени. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тоалети на долниот спрат и еден за возрасни, реновирање на гардеробер за персонал. | | | | |
| **3.** | Санација, чистење и одржување на топлификациска мрежа во објект | Сончоглед Мимоза Темјанушка Калинка | нема | 2.500.000,00 | Стара инсталација 60 години, под земја, која постојано прави проблеми и поплави. Во објект Мимоза се санираше и чистеше целата топлификациска инсталација, но поради застареност истата треба да се одржува, има цевки од парното кои се наоѓаат под подот во канален систем, се корозирани и дотраени. |
| **4.** | Реновирање на подови, внатрешна столарија, електрична инсталација.<br><br>Внатрешна Столарија во сите објекти | Темјанушка<br><br>Мимоза, Сончоглед, Калинка | нема | 3.000.000,00<br><br>3.000.000,00 | Подовите и внатрешната столарија во сите објекти се во многу лоша состојба |
| **5.** | Реновирање на под во трпезарија | Мимоза | нема | 300.000,00 | Подот во трпезаријата е уништен, лизгав и небезбеден за децата |
| **6.** | Промена на дел од надворешна столарија | Мимоза Калинка | нема | 1.500.000,00<br>1.000.000,00 | Во објект Мимоза дел од прозорите и надворешниврати не функционираат, во објект Калинка се уште има дрвени прозорци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Реконструкција на патеки и стази во објектите | Мимоза, Сончоглед, Калинка и Темјанушка | нема | 3.000.000,00 | По реконструкција на кујната во Калинка ќе мора да се направи пристапна стаза за добавувачите до магацинот и за разнесување на храната. Во сите објекти стазите и патеките се целосно оштетени. |
| 8. | Реконструкција и поставување на целосно нови огради со цокле | Мимоза, Сончоглед, Калинка и Темјанушка | нема | 4.500.000,00 | Целосно нова висока ограда, за безбедност на децата и самите објекти. Постојано добиваме поплаки од родители да се стават огради кои ќе се заклучуваат и нема да може да влегуваат внатре. |
| 9. | Молерисување на простории | Калинка | нема | 1.000.000,00 | Просториите е потребно да се молерисаат |
| 10. | Поставување на подлога под големи реквизити во дворови | Мимоза, Сончоглед, Калинка и Темјанушка | нема | 600.000,00 | За новопоставените реквизите поради безбедност мора да се постави подлагата |
| 11. | Реконструкција и поплочување на тераси во Сончоглед, Темјанушка и Мимоза | Сончоглед, Темјанушка и Мимоза | Нема | 3.500.000,00 | Терасите се во многу лоша состојба, се работи за тераси од јаслените занимални (за да може да се изнесуваат децата надвор) и за поголемите групи во наведените објекти. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Обнова на канцелариски и училишен мебел во сите објекти | Сите објекти | / | 3.000.000,00 | Сиот канцелариски и училишен мебел е дотрајан и е потребно да се замени (особено шкафчињата на децата се во многу лоша состојба) |

Нашите стратешки цели се да обезбедиме здрава и безбедна средина за престој на децата со што ќе се подобрат условите, а истите ќе се реализираат преку обезбедување средства за тековно-инвестиционо одржување на објектите усогласени со законските прописи, стандардите и нормативите за престој на децата во просторот.

Средства ќе се обезбедуваат преку блок дотации од Министерство за труд и социјална политика, општина Гази Баба, како и од уплата на родителите во согласност со правилникот за уплата за престој на децата во предучилишните установи.

**Градинка со насмевка за добредојде!**

**Д и р е к т о р:**

**Анета Петровска**

_____

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Анета Петровска

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ, ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 64 став (5) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.03-6246/1 од 11.08.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ, ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, предложено од управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-304/7 од 10.08.2023 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ, ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје достави барање бр.03-6246/1 од 11.08.2023 година со прилог Одлука од управниот одбор за добивање на согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

Согласно член 64 став (5) од Законот за заштита на децата:

"По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, јавната детска градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени во ставовите (2) и (3) на овој член за што согласност дава основачот на установата."....

Барањето и одлуката на управниот одбор се дадени во прилог на материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: 11-08-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилози | Вредност |
| 03 | 6246/1 | 7 | / |

Јавна установа за деца - Детска градинка „Детска Радост"
Општина Гази Баба – Скопје ул. „Бапчор" бр. 2, Скопје.
тел.: +389 2 3173 633

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"Детска Радост" Општина Гази Баба
Бр. 03-309/1
11-08 2023 год.
СКОПЈЕ

ДО: Општина Гази Баба

- Сектор за правни и општи работи

ПРЕДМЕТ: Доставување на материјали за 31 седница на совет на општина Гази Баба

Почитувани,

Во прилог ви ги доставуваме материјалите за седница на совет на општина Гази Баба.

Прилог:

- Годишен извештај за работа на установата за 2022/2023 година
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на установата за 2022/2023 година од Управен одбор
- Годишна програма за работа на установа за 2023/2024 година
- Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на установата за 2023/2024 година од Управен одбор
- Годишен план за вработување за 2024 година
- Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2024 година од Управен одбор
- Одлука за поголем опфат на деца за 2023/2024 година од Управен одбор

Со почит,

ДИРЕКТОР
Анета Петровска

Врз основа на член 116 од Законот за заштита на децата (Сл. весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и согласно чл. 27 од Статутот, Управниот одбор на Јавната установа за деца – Детска градинка „Детска радост" – Скопје, на седница одржана на ден 10.08.2023 година донесе

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"Детска Радост" Општина Гази Баба
Бр. 02-3047
10.08 2023 год.
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

1. Се донесува одлука за барање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи во учебната 2023/2024 година до основачот – Општина Гази Баба Скопје

2. Одлуката влегува во сила со донесувањето.

Претседател
на Управен одбор

Елена Мисајловска

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Анета Петровска

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), а во врска со член 142-а од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот Годишен план за вработување на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, бр.01-290/1 од 20.07.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, бр.01-290/1 од 20.07.2023 година, изготвен и предложен од директорот на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за вработување на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

## ***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), а во врска со член 142-а од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02).

## ***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

До Советот на Општина Гази Баба во законски определениот рок е доставено барање за добивање на согласност на Предлог-Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, бр.03-6246/1 од 11.08.2023 година. Обврската за доставување на Предлог-Годишен план, добивање на согласност од Советот на општината, донесување на Годишен план и доставување на истиот на мислење до МИОА е во согласност со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, кој гласи:

"**Постапка за донесување на планот**
**Член 20-б**

(1) Функционерот кој раководи со институцијата е должен, најдоцна до 1 септември во тековната година, да изготви **предлог план**, кој заедно со предлог на буџетското барање го доставува на согласност до органот надлежен за буџетот на институцијата, односно до:

- Министерството за финансии, за институциите буџетски корисници од прва линија кои се финансираат од Буџетот на Република Македонија и за јавните претпријатија основани од Република Македонија,
- надлежното министерство, за институциите кои вршат дејности од областа на образованието и науката, здравството, културата, социјалната заштита и заштитата на детето, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон,
- **советот на општината за единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и установи основани од единиците на локалната самоуправа** и
- друг орган доколку е утврден со закон.

(2) Органите надлежни за буџетот на институцијата се должни да дадат согласност, односно да дадат забелешки во однос на предлог планот најдоцна во рок од еден месец од приемот на предлог планот.

(3) Функционерот кој раководи со институцијата е должен да постапи по забелешките дадени од органот надлежен за буџетот, односно да го усогласи предлог планот.

(4) По добивањето на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот, функционерот на институцијата е должен веднаш, а најдоцна во рок од еден месец од добивање на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот **да го донесе планот и истиот да го достави на мислење** до Министерството за информатичко општество и администрација. ..... "

## ***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Јавната установа за деца - Детска градинка „Детска Радост"
Општина Гази Баба – Скопје ул. „Бапчор" бр. 2, Скопје.
тел.: +389 2 3173 633

Согласно член 20-б од Законот за вработени во јавниот сектор (Сл. весник на Р.М. бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), член 27 од Статутот на Јавната установа за деца – Детска градинка „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на ден 10.08.2023 год. донесе

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"Детска Радост" Општина Гази Баба
Бр. 04-304/6
10.08.2023 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**
**за донесување Годишен план за вработување за 2024 година**

Се донесува Годишен план за вработување за на јавната установа за деца – Детска градинка „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, за 2024 година.

Согласно Законот за вработени во јавниот сектор и Статутот на ЈУДГ „Детска радост" општина Гази Баба – Скопје, Годишниот план за вработување да се достави до Советот на општина Гази Баба.

Претседател на Управен одбор
Елена Мисајловска

**Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 01-290/1 20.07.2023 |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ЈУДГ Детска радост Општина Гази Баба |
| ЗА ГОДИНА: | 2024 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4063856 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4030974127017 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 20.07.2023 |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Елена Стојановска | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Анета Петровска | А.Петровска |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Анета Петровска | А.Петровска |

## ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | Моментално вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план) | 27 | 20 | 4 | | 1 | | 1 | 1 | |
| б | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | | | | | | | | |
| в | Планирани нови вработувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година) | 6 | 4 | 1 | | | | | | 1 |
| г | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година** (г = а - б + в) | 33 | 24 | 5 | | 1 | | 1 | 1 | 1 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | (ДА) | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | 1 |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | |

| р. бр | на работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДЕЗ 01 02 Г02 004 Виш референт-аналитичар-евидентичар | | | | Унапредување од помлад референт аналитичар евидентичар |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |

***Табела 3.*** Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | (НЕ) |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции: *(наведете број)* | | 0 |

Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини:
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)*

| р. бр | работно место (шифра и назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: намалување на надлежности на институцијата | причина 2: намалување на обемот на работа | причина 3: поедноставување на постапки | причина 4: работното место се укинува (наведете датум) | причина 5: друго (наведете ја причината) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 4.*** Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | |
|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | 2 |

Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини:
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)*

| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДЕЗ 04 01 А01 004 Хигиеничар | | | | 09.12.2024 | | |
| 2 | ДЕЗ 04 01 А01 004 Хигиеничар | | | | 28.07.2024 | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |

***Табела 5.*** Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Планирани пензионирања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 2 | 2 | | | | | | | |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 6.*** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | (ДА) | НЕ |
|---|---|---|
| Доколку одговорите со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | | 10 |

Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)*

| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. единица | во рамки на орг. единица | во рамки на орг. единица | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица | причина 2: пензионирање или најавено заминување | причина 3: друго (наведете ја причината) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број) | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДЕЗ 01 02 В04 001 Помлад соработник - секретар | Административна служба | | | | ПЕНЗИОНИРАЊЕ | | 12 | 436.184,64 |
| 2 | ДЕЗ 01 02 Г04 006 Помлад референт – материјален книговодител | Административна служба | | | | ПЕНЗИОНИРАЊЕ | | 12 | 358.827,84 |
| 3 | ДЕЗ 04 01 А01 005 Градинар | Помошно-техничка служба | | | | ПЕНЗИОНИРАЊЕ | | 12 | 356.869,44 |
| 4 | ДЕЗ 04 05 А01 002 Магационер | Помошно-техничка служба | | | Зголемување на надлежностите на институцијата и обемот на | | | 12 | 364.703,04 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | работатата | | | | |
| 5 | ДЕЗ 04 04 А04 001 Садомијач/сервирка **3 (тројца) извршители** | Помошно-техничка служба | | | Зголемување на надлежностите на институцијата и обемот на работатата | Отказ од страна на вработен | | 12 | 358.827,84 |
| 6 | ДЕЗ 04 01 А01 004 Хигиеничар **3 (тројца) извршители** | Помошно-техничка служба | | | | Зголемување на надлежностите на институцијата и обемот на работатата | | 12 | 356.869,44 |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 7.*** Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | Опис | ВКУПНО |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| а | **Планирани нови вработувања во следната година**<br>(заклучно со 31 декември следната година) | 10 |

***Табела 8.*** Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер", поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот**<br>(се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната година) | **33** | **24** | **5** | | **1** | | **1** | **1** | **1** |
| б | **Пензионирања во годината на која се однесува планот**<br>(се внесуваат податоците од Табела 5, ред в, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | **2** | **2** | | | | | | | |
| в | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот**<br>(се внесува податокот од Табела 7, ред а) | 10 | | | | | | | | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

МИОА balancER

Матичен број на институцијата / назив на институцијата (доволно е да се внесат првите три броја / букви): Детска градинка Детска радост Општина Гази Баба (40638! ×

Име на институцијата: **Детска градинка Детска радост Општина Гази Баба (4063856)**

Попис на ниво на: **Гази Баба**

Број на нови вработувања: 10

| Припадност на етничка заедница | Вработени на 31 декември тековната година (1) | Планирани пензионирања и заминувања во следната година (2) | Процентуална состојба (3) | Попис на население 2021 (4) | Распределба на новите вработувања за следната година (5) |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 24 | 2 | 70.97% | 53.66% | 8 |
| Албанци | 5 | 0 | 15.13% | 22.07% | 2 |
| Турци | 0 | 0 | 0.00% | 0.71% | 0 |
| Роми | 1 | 0 | 3.23% | 2.69% | 0 |
| Срби | 1 | 0 | 3.23% | 1.84% | 0 |
| Власи | 0 | 0 | 0.00% | 0.27% | 0 |
| Бошњаци | 1 | 0 | 3.23% | 1.08% | 0 |
| Други | 1 | 0 | 3.23% | 0.83% | 0 |
| Останати | 4 | 0 | 12.90% | 7.42% | 0 |
| Непознато* | / | / | / | 6.83% | / |
| Вкупно | 33 | 2 | 100.00% | 100% | 10 |

* Во редицата Непознато е дадел процент на население кое што според пописната методологија од 2021 година влегува во категориите: лица кои што не се изјасниле за етничка припадност, лица со непозната етничка припадност, лица за кои податоците се преземени од административни извори. Во рамките на balancer етничката припадност е основен податок за распределба на работните места па поради тоа овие категории не влегуваат во распределбата.

Табела со сите можни распределби на нововработените лица

Испечати | Симни документ

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 8 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

© 2023 - balancer.mk

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** в.д директор, м-р Марина Анѓелкова Арсова

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот извештај за работата на ЈУДГ "25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Се усвојува извештајот за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложен од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-304/5 од 21.07.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до управниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"25 МАЈ" Општина Гази Баба
Бр. 02-304/5
21.07 2023 год.
СКОПЈЕ

Во согласност со член 116 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.23/13) а врз основа на чл.27 од Статутот на Јавната установа за деца- Детска градинка ,,25 Мај,,-Општина Гази Баба-Скопје, Управниот одбор на установата на седницата одржана на ден 21.07.2023 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ- ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

1.

Се донесува Предлог-Годишен Извештај за работа на Јавната установа за деца-детска градинка ,,25 Мај,,-Општина Гази Баба-Скопје, за 2022/2023 год.

2.

Се предлага Советот на Општина Гази Баба со одлука да го донесе Годишниот Извештај за работа за 2022/2023 година .

**3.**

Одлуката влегува во сила со донесувањето.

Дел.бр. 02-304/5

Од 21.07.2023 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Мичо Ангеловски

**ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА ,, 25 М А Ј ,,**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2022/2023

---

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТА ЗА 2022/2023 ГОДИНА

## ВОВЕД

Најубавиот период од животот на секој човек е неговото детство. Но, воспитно – образовниот процес во овој период е основа за успех во текот на целокупното понатамошно живеење. Затоа, на сите деца треба да им се даде еднаква можност за успешен почеток во животот.

Тргнувајќи од оваа јасно поставена цел, воспитно-образовната и згрижувачката дејност во јавната установа за деца-Детска градинка ,,25 Мај”- Општина Гази Баба-Скопје, во текот на 2022/2023 година успешно беше реализирана со почитување на законските, статутарните, програмските регулативи и најновите педагошко-психолошки сознанија.

Овозможувајќи стимулативна и безбедна средина за учење, раст и развој, овозможивме реализирање на се она што беше предвидено во Годишната Програма на почетоктот на учебната година. Совесното и одговорно работење, со јасна тенденција да продолжи понатаму е евалуирано и прикажано во натамошниот текст на овој ,,Извештај за тековната 2022-2023,,

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

Јавната установа за деца-Детска градинка ,,25 Мај” Општина Гази Баба- Скопје (во понатамошен текст: Детската градинка), целокупната згрижувачка и воспитно-образовна дејност ја реализираше врз основа на :

- Законот за заштита на децата (Сл.весник на Р.М. бр.23/13 со измените и дополнувањата во Сл.весник бр.12/14, 44/14, 144/14,10/15,25/15,150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 394/21, 150/22, 236/22 );
- Статутот на Детската градинка;
- Програма за рано учење и развој (Сл.весник на РМ бр.46/2014)
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Сл.весник на РМ бр.28/2014со измените и дополнувањата во Сл.весник бр.40/14,136/14,71/15,170/16,151/18, 110/22)
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и Центар за ран детски развој (Сл.весник бр.87/2013 со измените и дополнувањата во Сл.весник бр.154/13, 127/14, 146/15, 159/16, 85/19),
- Правилник за побилиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавните детски градинки/Јавен центар за ран детски развој (Сл.весник бр.62/2013) како и
- постоечката законска регулатива, и
- донесените одлуки од основачот- Општина Гази Баба кои се однесуваат за детската градинка.

Годишниот Извештај претставува сумирање на резултатите од учебна 2022/2023година како од аспект на згрижувањето, воспитанието и образованието на децата така и од аспект на создавање оптимални услови за безбеден престој на децата. Целокупната работа во извештајната година е опишана во неколку содржински цели кои произлегуваат од тезите за изготвување Годишна програма за работа на детските градинки.

# *СОДРЖИНА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ*

Во Годишниот извештај за работата на Детската градинка ,,25-Мај,, опфатени се следните содржини:

1. ***Организација и работно време на градинката.***
2. ***Распоредување на децата по групи.***
3. ***Реализирање на Годишната Програма за воспитно-образовна работа.***
4. ***Реализирање на стручно-педагошка дејност и социјална дејност.***
5. ***Реализирање на Планот за работа на директорот, стручните органи и тела, стручни работници и друг кадар.***
6. ***Реализирање на други работи и задачи поврзани со остварувањето на дејноста.***
7. ***Заклучни согледувања***

# I. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТНО ВРЕМЕ

## 1.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТНО ВРЕМЕ

### 1.1. Организациона поставеност на Детската градинка

**Д**етската градинка својата дејност ја обавуваше во седум работни единици лоцирани на шест локалитети и тоа:

- Објект ,,*Сонце*,, Матична установа ул. Среќко Пужалка 112
- Објект ,,*Синоличка*,,ул. Катлановска-бб
- Објект ,,*Искра*,, ул. Палмиро Тољати - бб
- Објект ,,*Пони*,,ул. Пехчевска - бб
- Објект ,,*Детелинка*,,ул. Модест Мусоргски - бб
- Објект ,,*Морковче*,, ул.2А бр.1 - н.м. Јурумлери
- Објект ,,Пеперутка,,ул-.н.м.Стајковци

Сите објекти се наменски изградени.

Осврнувајќи се на условите за работа може да се каже дека во постојните капацитети на Детската градинка се создадени услови што овозможуваат целокупната дејност да се одвива успешно. Просториите се опремени со опрема сообразена со возраста и потребите на децата. Во занималните има уредено разновидни центри за ран детски развој во кои се обавуваат разни активности и се изведуваат сите игри,насочени и слободни активности.

Работните единици располагаат со дворна површина која на ниво на Детска градинка изнесува вкупно 36.378 м2, што е уште еден позитивен услов за солиден престој на децата на отворено. Редовно се води грижа за одржување на дворовите што подразбира редовно засадување садници, нивно негување и одржување како и секојдневна грижа за негување на цветните и тревните површини. Некои од дворовите се опремени со соодветни детски реквизити за игра и забава на децата.

Сите административно-стручните работи се обавуваат во објектот *Сонц*е. Во овој објект се наоѓа и централната кујна од каде главниот оброк- ручекот се дистрибуира во останатите седум објекти.

## 1.1.2. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

На ниво на Детска градинка просторните услови ги прикажуваме како што следува:

| 1. Вид на просторијата | Број |
|---|---|
| **Простории за згрижувачка и воспитно-образовна дејност** | |
| ЗАНИМАЛНИ - РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ | **57** |
| ФИСКУЛТУРНА САЛА/повекенаменска сала | **5** |
| БИБЛИОТЕКА | **1** |
| ПОСЕБНА ПРОСТОРИЈА ЗА ЧУВАЊЕ НА АУДИО-ВИЗ.СРЕДС. | **2** |
| ДРУГИ ПРОСТОРИИ | **8** |
| **Простории за општествена и педагошка дејност** | |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ДИРЕКТОР - УПРАВИТЕЛ | **7** |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ПЕДАГОГ | **2** |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ПЕДАГОШКО-МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ | **7** |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ВОСПИТУВАЧИ | **7** |
| ПРОСТОРИЈА ЗА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ПРИРЕДБИ | **2** |
| ДРУГИ ПРОСТОРИИ | **11** |
| **Простории за здравствени, санитарни и други потреби** | |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ПРИЕМ И ИСПРАЌАЊЕ НА ДЕЦА | **18** |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД | **7** |
| КУЈНА | **7** |
| ДРУГИ ПРОСТОРИИ (перална, остава,трокадери ) | **13** |
| **ВКУПНА НЕТО КОРИСНА ПОВРШИНА** | **7.738 М2** |
| **Скривници** | **4** |
| **Магацини, помошни простории** | **1.420м2** |
| **ВКУПНА ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТИТЕ** | **9.158м2** |
| УРЕДЕНИ ДВОРНИ ПОВРШИНИ (хортикултивирани) | **26.378м2** |
| УРЕДЕН СПОРТИСКИ ТЕРЕН | **1** |
| **В К У П Н О ПОВРШИНА** | **36.378 м2** |

Детската градинка во сите објекти го исполнува нормативот од просторни услови по дете во кое е вклученозанимална со придружни простории и заеднички повеќенаменски простор.

### 1.1.3. ОПРЕМЕНОСТ

Добро организираниот простор во сите објекти создаваше пријатна атмосфера за непречено одвивање на дејноста .

Во сите објекти на установата се поставени климатизери(клима уреди) со цел овозможување што попријатни услови за престој на децата, а во некои од нив има и прочистувачи на воздух.

Правилно организираниот простор и добро одбраните играчки и дидактички материјали се битни услови за вклучување на децата во разновидните активности во текот на нивниот престој во центарот за ран детски развој. Во текот на учебната година во повеќе наврати беа набавени разновидни наставно-образовни помагала.

Просториите во кои престојуваат децата располагаа со соодветен дидактички материјал и играчки преку кои се остварувваа и реализираа активностите предвидени за таа возраст кои постојано се надополнуваат.

Занималните во градинките се опремени со разновидни центри за ран детски развој и тоа: семеен,литературен, уметнички, конструктивен , драмски и другицентри кои постојано се надолнуваат , обновуваат и преуредуваат.

### 1.1.4. АУДИОВИЗУЕЛНИ И ДИДАКТИЧКИ СРЕДСТВА

| р.б. | ВИД НА СРЕДСТВАТА | Бројна состојба |
|---|---|---|
| 1. | ПРЕНОСНИ Bluetooth ЗВУЧНИЦИ | 43 |
| 2. | КЛАВИР | 7 |
| 3. | ЕЛ.ПИЈАНО HP-3 ,,СУЗУКИ,, | 1 |
| 4. | ТВ ПРИЕМНИК | 9 |
| 5. | ДВД ПЛЕЕР | 6 |
| 6. | ОПРЕМА ЗА ОЗВУЧУВАЊЕ | 1 |
| 7. | СИНТИСАЈЗЕР | 1 |
| 8. | ХАРМОНИКА | 1 |
| 9. | ПРОЖЕКТОР | 1 |
| 10. | ПАРАВАН ЗА КУКЛЕНА ПРЕТСТАВА | 7 |
| 11. | СПОРТСКА ОПРЕМА (клацкалки, тобогани, високи и ниски скали и колички со спортски реквизити,топки и др.) | задоволува |

## 1.1.5. БИБЛИОТЕКА

Детската градинка не располага со посебна просторија за библиотека. Литературата со која располага установата е сместена во повеќенаменска просторија за состаноци и за воспитниот кадар сместена во Објектот *Сонце* - матичната установа додека во објектите има кабинети кои располагаат со најразлични нагледни средства од сите воспитно-образовни подрачја. Истите редовно се збогатуваа со дидактички помагала кои ги изработуваа воспитниот и згрижувачкиот кадар.

Установата располага со стручна и детска литература и со редовно следење на издавачката дејност постојано се збогатуваше и дополнуваше фондот на книги со ново излезена стручна, педагошка, здравствена и друга литература.

Од издавачката куќа Детска радост, Едука Мак и Арс Ламина се набавуваадетските списанија *Росица, Смешка и Ѕвезди* како најзастапени месечни детски списанија. Од издавачката куќа Едука Мак беше набавена новата книга поезија за деца ,,Чудесен дар во годишен календар,, во сите објекти.

Одобрено со решение од МТСП се користеа и прирачниците ,,Математика за предучилишна возраст од 4-5,5-6,, и ,,Графомоторички вежби од 5-6 год.,, континуирано согласно со годишната програма за ран детски развој,,.

## 1.2. ВРАБОТЕНИ И РАБОТНО ВРЕМЕ

### 1.2.1. ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

На крајот на оваа година заклучно со08.2023 година состојбата со извршители е следна:

| **Вработени на неопределено време** | | | |
|---|---|---|---|
| р.б. | Работно место | Степен / вид на образование | Број на извршители |
| 1 | Директор | ВСС | 1 |
| 2 | Воспитувачи | ВСС/ВШС | 34 |
| 3 | Воспитувач приправник | ВСС | 5 |
| 4 | Негователи | ССС | 42 |
| 5 | Неговател приправник | ССС | 7 |
| 6 | Советник-секретар | ВСС | 0 |
| 7 | Наставник по физичко воспитување | ВСС | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Музички педагог | ВСС | 1 |
| 9 | Сметководител (виш соработник) | ВШС | 1 |
| 10 | Помлад соработник(сметководител) | ВШС | 1 |
| 11 | Мат.книговодител-самостоен референт | ССС | 1 |
| 12 | Дипломиран дефектолог | ВСС | 1 |
| 13 | Возач | ССС | 1 |
| 14 | Главен готвач | ССС | 1 |
| 15 | Помошник готвач | ПКВ | 3 |
| 16 | Садомијач сервирка | НКВ | 11 |
| 17 | Хаус мајстор | ССС/КВ | 1 |
| 18 | Магационер | ПКВ | 0 |
| 19 | Чувар-градинар | НКВ | 4 |
| 20 | Перачка-пеглачка | НКВ | 1 |
| 21 | Хигиеничар | НКВ | 16 |
| **Вкупно вработени на неопределено време** | | | **133** |
| **Вработени преку Агенција за привремени вработувања** | | | |
| 1 | Воспитувачи-приправник | ВСС | 1 |
| 2 | Воспитувач | ВСС | 0 |
| 3 | Негувател | ССС | 3 |
| 4 | Негувател-приправник | ССС | 6 |
| 5 | Хигиеничар | ССС | 4 |
| 6 | Садомијач-сервирка | ССС | 0 |
| 7 | Готвач | ССС | 0 |
| 8 | Референт аналитичар-евидентичар | ССС | 1 |
| 9 | Магационер | ССС | 1 |
| **Вкупно вработени преку Агенција за привремени вработувања** | | | **16** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | **149** |

## 1.2.2. УТВРДЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Работното време на Детската градинка е уредено со акт на Министерот за труд и социјална политика на Р.Македонија.

Детската градинка беше отворена за работа со деца секој работен ден освен сабота, недела и државни и други празници утврдени со закон.

Работното време на Детската градинка во текот на денот изнесува 12 часа и трае од 06,00 наутро до 18,00 часот попладне, согласно со Одлуката за определување на работно време од Советот на општина Гази Баба.

Распоредот на работното време на вработените е скалесто во рамките на 8 часовен работен ден.

## II. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ПО ГРУПИ

Капацитетот на ниво на Детска градинка за сите објекти изнесува 1166 деца.На крајот на оваа учебна 2022/2023 година – пресек на крајот на мес.Мај - 2023год. опфатени се вкупно **1277** деца во сите седум објекти.

Според возраста а во согласност со чл.64 од Законот за заштита на децата, децата во објектите на детската градинка беа распоредени во следните возрасни групи:

| Објект | Најрана предучил/возраст Групи-деца | Градинка-Постара предуч.возр. Групи - деца | Проекти Групи-деца | Вкупно Групи- деца |
|---|---|---|---|---|
| Синоличка | 1 - 22 | 4 - 92 | 1- 29 | 6 - 143 |
| Искра | 1 - 28 | 4 - 118 | | 5 - 146 |
| Сонце | 1 - 28 | 8 - 210 | | 9 - 238 |
| Детелинка | 1 - 27 | 8 -198 | | 9 - 225 |
| Пони | 1 - 40 | 8 - 222 | | 9 - 262 |
| Морковче | 1 - 32 | 4 - 99 | | 5 - 131 |
| Пеперутка | 1 - 26 | 4 - 106 | | 5 - 132 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **7 - 203** | **40 - 1045** | **1- 29** | **48 - 1277** |

Во сите објекти воспитно-образовната и згрижувачка работа се одвиваше во:

- 7– хетерогени групи во најрана предучилишна возраст
- 40 –хомогени групи во постара предучилишна возраст
- 1 - хетерогени група во постара предучилишна возраст

## III. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

### 3.1.ОСНОВИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ЗА ДЕЦА ОД НАЈРАНА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

За успешно реализирање на воспитно-образовната работа се применуваше Програмата за рано учење и развој за децата, изготвена од МТСП во соработка со УНИЦЕФ. Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата кои што треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (моторен, социо-емоционален, когнитивен итн). Овие стандарди можат да се применуваат во сите околности каде што се згрижуваат , воспитуваат и образуваат деца од 0 до 6 години. Стандардите секогаш се поврзани со индикаторот, со тоа што е видливо, мерливо, она што детето го прави или индикаторот е компонента на секој стандард која покажува што детето треба да научи, да прави, за да го достигне стандардот. Во рамките на еден стандард може да има поголем број на индикатори.

Стандардите се презентирани по развојни домени, но важно е да се нагласи дека развојниот процес и учење кај малите деца не тече изолирано туку се одвива континуирано преку сите домени. Развојните домени се меѓусебно поврзани, а децата учат со надградување на веќе постоечките знаења низ сите домени:

1. Физичко здравје и моторен развој
2. Социо-емоционален развој
3. Развој на пристап кон учење
4. Развој на јазикот, описменување и комуникација, и
5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Развојниот процес кај децата се одвива преку повеќе субдомени. Очекуваните вредности кои децата треба да ги поседуваат при достигнувањето на стандардите за рано учење и развој се: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност , како и почит кон заедницата.

Стандардите за рано учење и развој се однесуваат за возрасниот интервал од 0 до 6 години поделени во следните возрасни групи:

- Од 0 до 2 години;
- Од 2 до 4 години,
- Од 4 до 6 години.

### 3.1. ОСНОВИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ЗА ДЕЦА ОД НАЈРАНА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ (за деца од 8 до 24 месеци)

Животот и работата на децата од најрана предучилишна возраст беше диктиран од специфичностите на психо-физичкиот развој на децата и нивните можности. Заради специфичностите на овој животен период кај децата и општите карактеристики на организацијата за реализирање на воспитно-згрижувачката дејност, програмата беше реализирана преку следните домени:

**Физичко здравје и моторен развој**:

Субдомени:

- груб моторен развој;
- фин моторен развој;
- здраво и безбедно однесување,
- сензо-моторен развој.

**Социо-емоционален развој**

Субдомени:

- социјален развој,
- емоционален развој

**Развој на пристап кон учење**

Субдомени:

- Љубопитност и иницијативност
- Креативност и истрајност

**Когнитивен развој и стекнување на општи знаења**

Субдомени:

- Логика и размислување

### 3.1.2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА СО ДЕЦАТА ОД ПОСТАРА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ( ОД 2 ДО 6 ГОДИНИ )

**В**оспитувачите врз база на „Основите на програмата за воспитно-образовна работа во предучилишното воспитание и образование“ и Програмата за рано учење и развој, а имајќи ги во предвид условите за работа, поширокаата околина, културата и менталитетот во средината , индивидуалните разлики, потребите и можностите на децата во конкретната група изготвуваа:

- Долгорочно -годишно,
- Среднорочно- тематски , и
- Краткорочно- дневно планирање.

Воспитно-образовната работа се планираше и реализираше интегрирано.

**П**ри планирањето воспитувачот јасно и прецизно ги дефинираше целите на воспитно-образовната работа а потоа определуваше активности со кои најефикасно ќе ги реализира определените цели.

**П**рограмата за воспитно-образовна работа со децата од две до шест години е претставена шематски како што следува преку следните основни домени.

| **Д о м е н и** | За деца од 2-3год | За деца од 3-4 год. | За деца од 4-6г. |
|---|---|---|---|
| **1.ФИЗИЧКО ЗДРАВЈЕ И МОТОРЕН РАЗВОЈ** | | | |
| -Груб моторен развој | ,, | ,, | ,, |
| -Фин моторен развој | ,, | ,, | ,, |
| -здраво и безбедно однесување | ,, | ,, | ,, |
| -сензо-моторен развој | ,, | ,, | ,, |
| **2.СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ** | | | |
| **-социјален развој** | ,, | ,, | ,, |
| -емоционален развој | ,, | ,, | ,, |
| **3.ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕ** | ,, | ,, | ,, |
| -љубопитност и иницијативност | ,, | ,, | ,, |
| -креативност и истрајност | ,, | ,, | ,, |
| **4.ЈАЗИК, КОМУНИКАЦИЈА И РАЗВОЈНА ПИСМЕНОСТ** | | | |
| -комуникација | ,, | ,, | ,, |
| **-основи за читање** | ,, | ,, | ,, |
| **-основи за пишување** | ,, | ,, | ,, |
| **5.КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И СТЕКНУВАЊЕ ОПШТИ ЗНАЕЊА** | | | |
| -логика и размислување | ,, | ,, | ,, |
| -математика и броеви | ,, | ,, | ,, |
| -наука | ,, | ,, | |
| -уметност | | | ,, |

## 3.1.3. ДНЕВНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО ВО ГРАДИНКАТА

Организација на денот во групите за деца по возрасни групи ориентационосе реализираше:

за деца до 18 месеци

| Активности | Време |
|---|---|
| -прием на децата и слободни активности | до 8,15ч |
| -подготовка за појадок и појадок | 8,15 ч |
| -реализација на дневното планирање | 9,00 ч. |
| -ужинка | 10,00ч. |
| -тоалет и подготовки за спиење | 10,20ч. |
| -пасивен одмор-спиење | 10,50ч. |
| -тоалет, подготовки за ручек | 12,50ч. |
| -ручек | 13,10ч. |
| -миење раце и тоалет | 13,40ч. |
| -слободни игри и престој на воздух | 14,00ч. |
| -ужинка | 15,00ч. |
| -реализација на дневното планирање | 15,30ч. |
| -слободни игри | 16,00ч. |
| -заминување на децата | до 18,00ч. |

за деца над 18 до 24 месеци

| Активности | Време |
|---|---|
| -прием на децата и слободни активности | до 8,15ч |
| -подготовка за појадок и појадок | 8,15 ч |
| -реализација на дневното планирање | 9,00 ч. |
| -ужинка | 10,00ч. |
| -слободни игри и престој на свеж воздух | 10,30ч. |
| -тоалет , подготовки за спиење | 11,30ч. |
| -ручек | 12,00ч. |
| -пасивен одмор-спиење | 12,45ч. |
| -ужинка | 14,45ч. |
| реализација на дневното планирање | 15,10ч, |
| -слободни игри | 15,30ч. |
| -заминување на децата | до 18,00ч. |

Дневни активности за деца од постара предучилишна возраст

за деца над 2 до 4 години за деца над 4 до 6 години

| Активности | Време | Активности | Време |
|---|---|---|---|
| прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8,15ч | прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8,15ч |
| утринска гимнастика | 8,15 ч | утринска гимнастика | 8,15 ч |
| појадок | 8,30ч. | појадок | 8,30ч, |
| реализација на дневното планирање | 9,00ч. | реализација на дневното планирање | 9,00ч, |
| ужинка | 10,00ч. | ужинка | 10,00ч. |
| реализација на дневното планирање | 10,30ч. | реализација на дневното планирање | 10,30ч. |
| прошетка, набљудување и прстој на свеж воздух | 11,00ч. | прошетка, набљудување и прстој на воздух | 11,15ч. |
| ручек | 12,15ч.. | средување на центрите за учење | 12,00ч. |
| пасивен одмор-спиење | 12,45ч, | ручек | 12,15ч.. |
| ужинка | 14,45ч. | пасивен одмор-спиење | 12,45ч. |
| реализација на дневното планирање | 15,15 ч. | ужинка | 14,30ч. |
| слободни игри | 16,30ч. | реализација на факултативни програми (програми по избор на родителите, децата пр.јазик, балет) | 15,00ч. |
| средување на центрите за учење | 17,30ч. | слободни игри | 16,45ч. |
| заминување на децата | до 18,00ч. | средување на центрите за учење | 17,30ч. |
| | | заминување на децата | до 18,00. |

## 3.2.РЕАЛИЗИРАНИ ДНЕВНИ ПЛАНИРАЊА НА ВОСПИТНО-ОРАЗОВНА РАБОТА

3.2.1.**Во текот на учебната година од планираните теми со Програмата за воспитно-образовна работа, реализирани се следните теми :**

*1.Градинке ,пријателке*
*2.Есенска кралица*
*3.И студената зима,убавини има*
*4.Семејно стебло*
*5.Планетата Земја-нашиот дом*
*6.Сообрашќајот го истражуваме и патуваме*

Темите беа разработени преку реализирање на стандардите од различни домени и тоа:

- физичко здравје и моторен развој
- социоемоционален развој
- развој на пристап кон учење
- развој на јазикот, описменување и комуникација
- когнитивен развој и стекнување со општи знаења.

За успешно реализирање на сите овие теми беа организирани и голем број на активности и посети кои произлегуваа од самите содржини што се работеа со децата.

Оваа воспитна година децата на возраст од 5-6год. ја реализираа обработката на збирка сликовници од програмата ,,Размислувај еднакво,,во соработка со УНИЦЕФ и МТСП преку проектот за подобрување на социјалните услуги .За истите се водеше извешај за реализација на сликовниците и нивна рефлексија.Извештајот со рефлексија беше испратен во МТСП и БРО.

Секој клон посебно во текот на целата година разработуваше свој интерен проект кој се надоврзуваше на целокупниот воспитно-образовен процес.

| објект | проект- тема | реализирани активности | реализирано во месец |
|---|---|---|---|
| Сонце | **Мали истражувачи** | Еко акција<br>-одржување на чистотата во занимална<br>-селекција и одложување на отпадот<br>-грижа кон природата и живиот | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | свет<br>Дрвја и растенија<br>-изработка на херабриум<br>-оддржување на дрвјата и растенијата<br>-заштита и полза од растенијата<br>-ден без автомобили<br>Вода<br>-видови вода<br>-без вода нема живот<br>-експерименти и истражувања<br>Воздух<br>-својства на воздухот<br>-чист воздух,за здравје<br>-загадувачи на воздухот<br>-истражување<br>Птици<br>-видови птици и нивните живеалишта<br>Животните и екологијата<br>-посета на ЗОО градина<br>-ланец на исхрана<br>Месец на екологијата<br>-21ви Март ден на екологијата<br>-Траспаренти за чист воздух<br>Почва<br>- својства на почвата<br>--полза и заштита<br>Рециклирање<br>-селекција на отпад<br>-рециклирање<br>-креативни работилници<br>Воден свет<br>-аквариум<br>-исхрана и живеалишта<br>-заштита на водени површини<br>-екологија на одмор | |
| **Синоличка** | **Се за облеката** | Од што се произведува ткаенината? | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Облека според годишните времиња<br>-Есенска облека-<br>-Боите на есента<br><br>Каде и кој ја прави облеката?<br>Облеката низ годините<br>Посета на кројачки салон<br>Посета на фабрика за конфекција<br>Зимска облека<br>Модна облека<br>Запознавање со облеки од светот | |
| Искра | **Книгата- Мојот најдобар другар** | Мојата омилена сликовница<br>Посета на библиотека<br>Куклена претстава ,,Дедо Медо и крушата,,обработка на басна<br>Случка од новогодишната ноќ обработка на текст<br>Обработка на Божиќна приказна<br>Приказна за добра ноќ<br>Куклена претстава ,,Подарок за мама,,<br>Литературно читање и промоција на книга за деца и дружење со истакнат поет<br>Посета на театар за деца и младинци<br>- Следење на театарска претстава<br>Изработуваме сликовница со децата<br>Посета на Едука Мак и Просветно Дело | |
| **Детелинка** | **Растеме и учиме со сказните и приказните** | ,,Брат и сестра-приказна,,<br>Бременските градски музиканти<br>Волкот и седумте јарињa-драматизација<br>Храбриот кројач<br>Девојчето со кибритчињата<br>Пепелашка-театарска | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | претстава<br>Мачорот во чизми каширање на кукла<br>Глупавата жена-сказна<br>Седумте јунаци-драматизација со кукли<br>Снежана-посета на театар<br>Палче-приказна<br>Мојата омилена приказна | |
| **Пони** | **Со рециклирање до уметност** | Рециклирање - запознавање со темата<br>Со рециклирање до подарок за другарче<br>Изработка на макета за Скопје<br>Изработка Новогодишни украси и честитки<br>Со рециклирање до музички инструмент<br>Изработкана рамка за семејна фотографија<br>Спортски реквизити<br>Накит и подарок за мама<br>Декорации за двор<br>Посета на Пакомак<br>Изложба на изработките | континуирано |
| **Пеперутка** | **Спортуваме,играме и здраво растеме** | Зошто е важно да спортуваме<br>Видови спорт<br>Ракомет<br>Карате<br>Посета на спортска сала<br>Кошарка<br>Полигон<br>Фудбал<br>Навивачка химна<br>Ликовна игра ,,Мојот омилен спорт,, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Морковче** | **Четири годишни времиња** | Убавините на годишните времиња<br>Есента царува,што ни дарува?<br>Боите на есента<br>Во пресрет на зимата<br>Лоша баба зима,дебел кожув има<br>Предвесници на пролетта<br>Пролетта иде што ќе биде?<br>Птиците преселници се вратија од југ<br>Мајско шаренило<br>Летото ни дојде | континуирано |

## IV. СТРУЧНО ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

### 4.1. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Во рамките на воспитно-образовната дејност на Детската градинка се организира и здравствена заштита на децата кои престојуваат во неа. Таа се состои од систематска и сестрана грижа за здравјето и правилниот психофизички развој на децата . Во градинката беше организирана редовна здравствена заштита на децата.

Во објектите согласно со условите и можностите се спроведува следниве мерки :

- Антрополошки мерења (мерење на висина и телесна тежина)
- Контрола на имунизацијата на децата
- Спроведување на превентивни мерки во време на заразни болести (варичела, скарлатина и сл. )
- Здравствено едукативни и информативни паноа за родители и деца на влезовите на објектите
- Здравствено просветување на персоналот преку предавања, советувања и здравствена литература
- Систематски и санитарни прегледи на вработените во објектите
- Редовна грижа за хигиената во објектите и кујните во нив.

Основна грижа на вработените беше одржување на беспрекорна хигиена на просториите во кои престојуваат децата , играчките , приборот за цртање, приборот за јадење, предметите со кои децата доаѓаат во допир секојдневно, а при тоа водејќи сметка за редовна употреба на средствата за хигиена и дезинфекција .

При реализацијата на здравствената заштита на децата многу голем акцент се стави на правилната и здрава исхрана на децата. За таа цел листата за јадење беше неколку пати менувана во зависност од потребите за здрав оброк на децата. Листите за јадење се изготвуваа сезонски според ,,Нормативите за исхрана и стандарди за исхрана и оброци на децата во детската градинка,, (Сл.весник на РМ, бр. 71/15) и ,,Правилникот за информации поврзани со храната ,,(Сл.весник на Р.М бр.150/15) и на тој начин децата се учеа на здрав начин на исхрана и користење на продуктите кои се здрави за конзумирање.

Посебно внимание се посветуваше на ново примените и децата кои подолго време не престојувале во градинката по нивното враќање да достават лекарска белешка за добрата здравствената состојба на децата како важен услов за посетување на градинка .

Се водеше сметка и за навремено обезбедување на медицински материјали за прва помош и стерилен преврзочен материјал за укажување на прва помош при повреда или заболување.

## 4.2.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА И КУЛТУРНАТА ДЕЈНОСТ

За целосно остварување и реализирање на севкупните задачи на предучилишното воспитание и образование, а особено за подобрување на воспитно-образовните резултати и збогатување на културниот живот во детската градинка, придонесеса реализацијата на следните активности .

1. *8 Септември*
2. *Недела на детето*
3. *11 Октомври*
4. *Одбележување на “13 Ноември”-Роденден на Градот Скопје*
5. *Испраќање на есента*
6. *Денот на Општината Гази Баба*
7. *Нова Година*
8. *8 Март*
9. *Денот на пролетта*

*10. Роденден на Планетата Земја*

*11. Денот на македонскиот јазик*

*12. Завршни приредби*

**Хронолошки активностите се одвиваа:**

- Почетокот на учебната 2022/2023 во секој од објектите на нашата градинка беше пригодно одбележан со топло добредојде и пријатен пречек.

- Роденденот на татковината 8 Септември беше одблежан во сите објекти на пригоден начин со ликовни цртежи,честитки,стихотворби,изработка на знамиња,пеење на химната.

- 22.09.2022се одбележа ***„Светскиот ден без автомобили„*** како дел од манифестацијата под мотото „Движи се за здравје„ на иницијатива на Детскиот културен центар„ Карпош, во сите објекти во воспитните групи беше одбележан со низа активности „еко пароли „еко превозни средства за зачувување на живитната средина.

- Во месец септември  во неколку наврати во сите објекти беше реализиран проект и запознавање на децата во градинките со прва помош и ,,Црвен Крст,, .

Целта на проектот е едукација на децата за самозаштита од повреди кои се најчести за нивна возраст како и запознавање со децата со основните поими од прва помош и ,,Црвен крст,,.

- Оделот за спорт и рекреација при Детскиот културен центар ,,Карпош,,ја организира манифестацијата ,,Движи се здравје ,, на која учествуваа деца од големите групи од објектот Пони со велосипеди и тротинети облечени во спортска опрема .Манифестацијата се одржа во Градскиот Парк.

- Во рамките на **Детската недела која траеше од 03.10. до 07.10.2022 год.** се реализираа следните активности:

| Ден во неделата | Реализирани активности |
|---|---|
| Понеделник 03.10.2022 | Правата на детето пезентирани преку игра |
| Вторник 04.10.2022 | Изработка на групен цртеж на тема-Правата на детето |
| Среда 05.10.2022 | Дружење со актерите од Театарот за деца и младинци |
| Четврток 06.10.2022 | Донирај за своето другарче-хуманитарна акција |
| Петок 07.10.2022 | Куклена претстава ,,Другарство,, |

.

Секој објект на различен начин ја одбележа Детската недела со разни ликовни изработки,донации за градинката или од дете за дете ,активности преку кои децата ги научија своите права и обврски кои се универзални низ целиот свет .

Во објектот Сонце ,воспитниот тим реализираше театарска претстава ,,Царство на вистинско другарство,,

- 5 Октомври- Светски ден на Учителот го одбележавме  со најразлични активности,со кои децата изразија благодарност и љубов кон своите учителки.

- Празникот ,,11Октомври ,, се одбележа во сите објекти со запознавање на децата со симболиката и низ низа активности

- Светскиот ден на медот на медот се одбележа со присуство на децата од големите групи од објектот Пони на саемот за мед пред Капитол ,со музичка точка и запознавање на децата со производството на мед и користа од неговата конзумација.

- Во овој месец го одбележавме и ,,Светскиот ден на лебот ,, и ,,Светскиот ден на јаболкото ,,преку низа интересни активности во сите објекти и возрасни групи.

- Децата од големите и средните групи од објектот Детелинка се запознаа со проектот ,,Здрави навики -здрави деца ,,.Преку разговор и видео презентација за правилно држење на рбетот како и правилна исхрана за здрави деца и здрави навики.

- На 22.октомври децата од големата група од објектот Искра беа во посета на библиотеката ,,Брака Миладиновци ,,како дел од реализацијата на проектот,,Книгата мојот најдобар другар,, со што се потикнуваше детскиот интерес за литература.

- Првата недела од месец ноември во сите објекти се следеше театарската представа ,,САКАМ ДА БИДАМ,, од актерската група Триангл.

- Во соработка со детскиот културен центар Карпош,и оваа година традиционално во чест на градот Скопје земавме учество во манифестацијата град, **,**<u>,Го градам мојотград,,,</u>.Оваа манифестација има за цел да ги истакне детските творечки способности,детската креативност, а воедно и поопширно да ги запознае децата колку големо значење има празникот 13 Ноември за градот Скопје.Изложбата беше реализирана во виртуелно издание кое можеше да се погледне на нивната FB страна и на you tube канал,каде беа изложени сите детски творби.

- Како и секоја година,традиционално последната недела од месец ноември се реализира и манифестацијата***„Испраќање на есента„*** во секој објект(воспитно образовна група) преку есенски изработки,оживување на плодови,творештво со суви лисја и театарски представи и драматизации.

- На 09.декември беше одбележан празникот Св.Климент Охридски со давање значење на кирилскиото писмо и развивање интерес за почетно пишување кај децата со низа активности во големите групи.

- Во втората половина на месец декември сите објекти беше одбележано доаѓањето на Новата година со организирање на Новогодишни работилници и панаѓури во соработка со родителите каде заеднички со своите деца изработуваа украси и честитки во сите објекти .
  Сите објекти беа украсени со новогодишни украси изработени од децата.

Беше реализирана и Новогодишна претстава ,,Во работилницата на Дедо Мраз,, од страна на воспитниот тим од Пони и беше реализирана во сите објекти,а деновите пред дочекот беа поделени новогодишни пакетчиња.

„25 МАЈ“

- Во декември беа реализирани и соработки со Основните училишта ,,Дане Крапчев ,, и ,,Крсте Мисирков,,и големите групи од објектите Искра и Сонце со размена на новогодишни честитки.

- Големите Христијански празници Бадник, Божиќ и Василица беа одбележани традиционало преку активностите,месење лепче со паричка во сите објекти,преку кои децата се запознаа со традицијата и обичаите.

- Во објектот Синоличка во јануари имаше посета од стомотолози кои ги запознаа децата со оралната хигиена и грижа за забите преку презентација и ликовна активност.

- На ликовниот конкурс на тема ,,Сонце,вода,ветер-нашата зелена енергија,, под покровителство на МОН и Биро за развој на образование зедоа учество цртежите на децата од големите групи,каде со награда се здоби Дамјан Мојсоски од објектот Пони под менторство на воспитувачот Крстена Јовановска.

- На 1 Март децата од големите групи  изработуваа МАРТИНКИ како најава на пролетта и беше направена размена со првачињата  од блиските основни училишта.

- Во месец Март традиционално учествуваме на ликовната манифестација ***„Играм и пеам за мојата мајка,„*** - честитка за 8ми Март,манифестација посветена на најмалите.Ликовните творби беа доставени и изложени во ДКЦ-Карпош.

- Во сите објекти по повод празникот 8 Март се реализираа работилници за изработка на ,,Честитка за мама,, во соработка со татковците.

- Во сите објекти беше проследена претставата ,,Мравчето Ристон,,-театар на сенки.



- Денот на пролетта го одбележавме симболично со **Еко акција** –садење на цвеќе и садници во дворовите на нашите градинки во соработка со родители.

- Во месец март во нашата градинка не посети групата Триангл со театарската претстава ,,Другарување,,

- Денот на водата 22 март се одбележа со низа активности во сите воспитни групи со нагласување на непроценливата важност на водата за живиот свет.

- Први Април денот на шегата како и секоја година беше одбележан со ***,,Првоаприлски маскенбал,,*** во секоја воспитна група со парада во објектите и во непосредна околина.

Децата од објектот Искра присуствуваа на првоаприлско дружење со учениците од ООУ ,,Дане Крапчев,,.

- ***Денот на дестката литература***- 2.Април се одбележа со дружење и читање на најубавите детски бајки и сликовници кои се секогаш со задоволство прифатени од децата.



- 7 Април ***„Светкиот ден на здравјето***,,,истовремено поврзувајки го со новонастаната ситуација со светската пандемија,ставивме акцент на грижата за сопственото здравје и едукација на децата за здрави и бебедни животни навики.Децата симболично изработуваа честитки за здравствените работници-најголемите чувари на нашето здравје.

Во слоп на овој ден Одделот за спорт и рекреација при Детскиот културен центар организираше крос -трка на тартан патеката во Градскиот Парк.

- Денот на Планетата Земја 22 Април беше одбележан со низа активности во сите воспитни групи со цел подигање на еколошката свест и совест кај децата и грижата за природата.

- Патрониот празник на нашата градинка оваа година го одбележавме со приредба реализирана од објектот Пеперутка преку презентација на проектот,,Спортуваме ,играме и здраво растеме,,. Сценариото беше во духот на спортот и спортските игри ,со драматизации и музички точки.

- 3 Maj- ,,Светскиот ден на сонцето,, беше одбележан со низа активности за потенцирање на важноста на сонцето како извор на животот.-БЕЗ СОНЦЕ НЕМА ЖИВОТ.

- 5 Мај -Денот на македонската азбука и македонскиот јазик го прославивме со активности за поттикнување на почетното пишување кај децата и подготовка за училиште.

На овој ден децата од големата група од објектот Пеперутка беа во посета на Саемот на книгата ,,САКАМ КНИГА,,.

- Во текот на месецот мај, големите групи од сите објекти ги посетија првачињата од најблиските основни училишта .Ги разгледуваа училиштата и се запознаа со просториите во истите .

- Во месец мај имавме повторно дружење со театарска група кои ја изведоа претставата ,,РАСПЕАНА ТУРЛИТАВА,,во сите објекти посебно.

- По повод ,,Светскиот ден на аутизмот ,,децата од големата група од објектот Искра зедоа учество во манифестација во Градскиот Парк .

- На 9 мај големите групи од објектот Детелинка беа во посета на Музејот на Македонија при што се запознаа со традициите на секојдневието и празнувањата.

- Големите групи од објектот Сонце го посетија Археолошкиот локалитет Тумба Маџари иги разгледуваа артефактите како дел од проектот ,,Мали истражувачи,,.

- 15ти Мај-Светскиот ден на семејството се одбележа со низа активности преку кои децата ја изразија љубовта и позитивните емоции кон семејството како основна нишка,за градење на правилен развој на личноста на детето.

- По повод 24 Мај Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј,детскиот културен центар Карпош, организираше манифестација ,,Цртање на асфалт,,. На оваа манифестација зедоа учество децата од објектот Морковче.

- На објавениот јавен конкурс на Општина Гази Баба учествувавме во категоријата ,,Најубав цртеж,, на тема ЕКОЛОГИЈА.Имавме наградени деца од објектот Детелинка.

- Манифестацијата***„Збогум градинке во срце ке те носиме„***каде големите групи се збогуваат и се запишуваат во училиште:Во склоп на оваа манифестација беше одбележан и патрониот празник преку музички игри,песни,драматзиации,стихотворби во сите објркти поединечно.На крајот на манифестацијата на дечињата им беа доделни дипломи за завршено предучилишно воспитание.

ЗБОГУМ
РАДИНКЕ

БУКВАР

- 1 Јуни – Меѓународен ден на детето,беше одбележан во сите објекти игри и музика.

- Во месец јуни децата од големите групи од објектот Пони ја посетија фабриката за производство на овошни сокови VIVA,се запознаа со начинот на производство и со нутритивните вредности на соковите.Добија и подароци сокчиња и боенки на големио задоволство на децата.

- Во склоп на проектот ,,Книгата ,мојот најдобар другар ,,во градинката Искра имавме литературно читање на сликовницата ,,Детето и китот,, и дружење со нашата актерка од МНТ Драгана Костадиновска .

- Во месец јуни под мотото,,Мојот татко,мојот херој,, го одбележавме денот на таткото со играње на улоги, изработка на честитки,цртање на портрет,говорни игри и сл.

- Децата од големата група од објектот Синоличка ја посетија фабриката за текстил Актуел како дел од проектот ,,Се за облеката,, и се запознаа со фазите на изработка на еден конфекциски модел.

- Во текот на целата година во сите објекти беше реализиран проектот на SUNILENS -,,Рециклирање на отпадно масло за јадење,, каде децата низ четири работилници се запознаа со начинот на рециклирање на отпадното масло и неговата примена и еколошката придобивка од тоа со помош на едукативно боенки,игри,експреименти и практично собирање на отпадно масло од страна на нивните семејства и соработка со SUNILENS.

**4.3.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**

**С**оработката со родителите ,оваа година беше поинтензивна за разлика од минатите години кога имаше ковид-мерки.Имавме најразлични форми на соработка ..

1. Организирање на групни родителски средби
2. Организирање на стручни средби со родителите на кои преку конкретни теми и содржини им се дадоа насоки за правилно воспитување и одгледување на децата во кругот на семејството
3. Индивидуални средби и консултации со родители за секојдневните активности и постигнувања кај децата.
4. Вклучување на родителите во работилници и избрани теми како и во низа активности во градинката со цел подобрување на условите за работа .

Се одржаа следниве соработки

-Есенски ,Новогодишни и Велигденски панаѓури

-Есенска работилница за оживување на плодови

-Работилница за изработка на новогодишни украси

-Работилница со татковци за изработка на честитки за мајките

-Работна Еко -акција за засадување на цвекиња и садници во дворовите на градинките

- Гостување на родители во склоп на активностите за ,,Професии и занаети,,

-Родителите беа вклучени и во одредени посети поврзани со проектите и програмата за ран детски развој ,континуирано во текот на целата година како посети на институции,објекти,изложби,манифестации, на ниво на општината и на градот.

Индивидуалните контакти со родителите беа многу честа форма на соработка со голем акцент на адаптациониот период ,но и во понатамошниот раст и севкупен развој на децата.

Родителите беа информирани преки информативни паноа ,преку кои можеа да се запознаат со воспитно-образовната работа ,исхраната на децата ,изложби на детски изработки и сл.

Родителите секојдневно се информираа со активностите во градинката преку нашата фејзбук страна каде се постираа секојдневно информации и фотографии.

Отвореноста на градинката кон семејството останува и понатаму тренд кој ќе се следи, имајќи ја во предвид се поголемата заинтересираност на родителите за овој период од детскиот развој.

## 4.4.СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКАТАИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

**С**екојдневните активности на воспитниот кадар беа следени и надгледувани како од страна на директорот така и од страна на стручните служби на Детската градинка при тоа се даваа соодветни упатства и насоки со цел да се подобри и унапреди дејноста.

**С**о цел унапредување на воспитно-згрижувачката дејност се овозможи вклучување на сите форми на стручно усовршување, семинари, советувања и слично,како и припреми за изготвување на личен план за професионален развој на секоја индивидуа по пат на саморефлексија.

Во склоп на стручното усовршување се водеше сметка за збогатување на библиотеката со стручна, педагошка и здравствена литература и редовна набавка на детски списанија. Се организираа низа стручни предавања на кои се третираа одредени стручни проблеми и сл. меѓу кои и следните:

- Во месец октомври директорот и дефектологот присуствуваа на меѓународна научно-стручна конференција ,,Образование на лицата со попреченост - актуелни состојби и перспективи,под покровителство на Министерство за образование и наука.Организатори на оваа конференција беа Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори ,Филозофски факултет Скопје и Педагошки факултет Тетово.

- На текот на првото тромесечие од оваа воспитна година во просториите на Даре Џамбаз се реализираа повеќедневни обуки за изучување на македонскиот знаковен јазик..Со оваа обука учесниците се стекнаа со основни знаења за минимална интеракција со македонскиот знаковен јазик.

- Во месец ноември директорот и дефектологот од нашата градинка присуствуваа на 27- Есенски стручни стручни средби на воспитувачи во Тара на тема,, Градење односи како подршка за детската добросостојба во воспитната програма,,.

- Во текот на месец февруари дел од воспитниот кадар присутвуваа на 10 Научно-стручна конференција од мегународен карактер на тема ,,Идентификација ,поддршка и поттик за развој на креативноста кај децата од предшколска возраст,,.

- Во месец февруари негуватели од нашата градинка присуствуваа на обука за негуватели,, Градење на капацитети на негуватели од предучилишните установи,, ЕДУЛЕНТ каде се обучија за колегијална подршка и пренесување на своите знаења и вештини на своите колеги преку заедничко планирање и одржување активности, со подршка од воспитувачите ментори за колегијална подршка. Континуирано во текот на целата година негувателите учествуаа во проектот за подобрување на социјалните услуги ,,Компонента,проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на услугите за згрижување и воспитание на предучилишни деца.Имавме серија на обуки за ефективност на негувателите во рамките на програмата ,,Социјална кохезија и културен дијалог,,.

- Директорот на нашата градинка во месец Февруари присуствуваше на професионалана едукација- Советување за јавни набавки организирана од агенцијата ПРО АГЕНС- Скопје.На обуката беше образложено примената во пракса на Законот за јавни набавки,набавка на стоки,услуги,економски најповолни понуди,правна заштита итн.

- Во месец март проф.др. Розалина Попова-Коскарова од Педагошкиот факултет-Скопје одржа предавање на тема,, Добри практики од Шветските градинки,,.На ова предавање присуствуваше цекокупниот воспитно -образовниот тим и се стекнаа со искуства и сознанија за тоа како се организирани и како функционираат Шветските градинки, поконкретно шумските градинки кои се дел од алтернативните предучилишни институции во оваа развиена Скандинавска земја, а кои стануваат се популарни низ целиот развиен свет.Во преден план се ставаат принципите -хуманост, солидарност,меѓусебно почитување, одржлив еколошки развој и еколошка свест.

- Во месец март дел од стручната служба и дел од воспитувачите присусвуваа на мултипликативен настан на тема ,,Листа на инклузија -Алатка за зголемување на свеста за учеството и инклузијата ,,. Настанот беше организиран во рамките на Еразмус + проектот ,,Инклузивна училница:МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекст,,.Проектот има за цел да ги зајакне вештините и компетенции на воспитувачите за одржување на

активности во тим ,преку понуда на иновативни методологии за тимска работа инклузивност на градинката и воспитната програма.

- Во истиот месец директорката ,раководителите на сите објекти и дефектологот присуствуваа на семинар на тема ,,Форми на модернизација во работата со надарени деца ,, во Економскиот факултет -Прилеп

- Во текот на цела воспитна година воспитувачите и негувателите следеа индивидуално голем број на обуки организирани од ЕДУИНО- колективен портал за дигитални содржини за збогатување и надградување на своите искуства и практики во воспитно образовниот процес.

## 4.5. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

Врз основа на законските прописи кои ги регулираат посебните права на граѓаните , Детската градинка води политика на соодветен начин да им помогне на родителите.

Во изминатата учебна година ослободени од плаќање надоместок за престој беа родителите на 7 деца од кои две се ослободени со одлука на Управен одбор по основ на социјално загрозени семејства или еднородителско семјество. Нашата градинка активно е вклучена во соработката со Советодавниот центар за родители и деца на Општина Гази Баба и сите наши родители можат да ја користат услугата и советите што ги пружаат стручните лица од овој центар.

Преку потпишување на Меморандум за соработка, првпат во 2009 год. кој секоја година се обновува и доградува е дефиниран начинот и областите на заедничка соработка меѓу СОС-Детско Село и нашата установа.

Со меморандумот се опфатени:

- заедничко учество на двете организации во платформата за унапредување на состојбата со децата и семејствата со социјален ризик;
- заеднички проект Игротека во просториите на Советодавниот центар; едукативни работилници за ран детски развој;
- советување со родители од градинката за развојни проблеми со децата; заеднички настани, прослави и сл.
- запишување одн. опфаќање со престој во градинка и опфаќање на 25 деца од ромска заедница преку Проектот Инклузија на деца Роми во јавните детски градинки кој се реализира во објектот Искра.

Исто така во соработката со јавните исниституции продолжува комуникацијата со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје.

## 4.6. ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРАА КОИ СЕ ОДОБРЕНИ ОД МТСП

### *4.6.1. ПРОЕКТ ,,ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА -РОМИ ВО ЈУДГ ,,*

И изминатa годинa продолжи реализацијата на Проектот,, ***Инклузија на децата од ромската популација во редовните групи во детските градинки,,*** и истиот сереализираше во објектот Искра.Со проектот беа опфатени 10 деца од социјално загрозена категорија на возраст пред поаѓање во училиште со цел нивно успешно вклучување во редовниот воспитно-образовен систем.

Проектот е одобрен од Министерство за труд и социјална политика и подржан од Општина Гази Баба и ЈУДГ 25 Мај во соработка со Ромскиот Едукативен Фонд-Будимпешта.

### *4.6.2. ПРОЕКТ ,,МОЗАИК,,*

**П**роектот ,,***Мозаик,,*** се реализира во објктот ,,Синоличка” со него се опфатени деца од македонска и албанска етничка припадност. Во учебната година беа опфатени вкупно 29 деца. Во групата работи воспитувач на македонски јазик и воспитувач на албански јазик.

### ***4.***6.3 .ПРОЕКТ ,,ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ,,

**П**роектот ,,***Инклузија на децата со посебни потреби во редовните групи,,*** продолжува да се реализира и оваа учебна година.

Децата беа вклучени во редовните воспитно-образовни групи со тоа што во дадени моменти приодотбешеиндивидуален во соработка со стручното лице – дефектолог, со цел постигнување што подобри резултати во работата со тие деца.

### *4.6.4. ПРОЕКТ ,,ГРАДОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ“*

Проектот ***„Градот низ детските очи“*** отпочна со реализација од 09.2013 год. и продолжи со реализација во извештајната година. Во склоп на овој проект беа предвидени и реализирани низа активности .Посети на културни споменици и обележја во град Скопје беа оневозможени поради мерките за заштита од ковид ,затоа децата следа видео репортажи за занаменитостите во градот и сето тоа го илустрираа преку цртеж ,макети и конструктивни игри.

### *4.6.5. ПРОЕКТ ,,ОД ДЕТЕ ЗА ДЕТЕ “*

И оваа година продолжи хуманитарно-едукативниот проект „ Од дете за дете“, предложен од МТСП.

Проектот беше реализиран преку хуманитарни акции од децата за деца, при што беа вклучени и родителите на децата преку донирање на детска облека и подароци за децата од социјално загрозените семејства и децата згрижени во установите.

### *4.6.6. ПРОЕКТ „ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ГРАДИНКИТЕ“*

И оваа учебна година продолжи со реализиација Проектот ***„Почитување на различностите и мултикултурализмот во градинките“*** во соработка со МТСП и УНИЦЕФ. Проектот се реализираше во групите од најстара предучилишна возраст во сите наши објекти и се реализираше континуирано во текот на целата година каде децата ги збогатија своите сознанија за различностите во културата,полот и развојните разлики кај децата со потешкотии во развојот.

### *4.6.7. ПРОЕКТ „РЕЦИКЛИРАЊЕ СО ИМАГИНАЦИЈА“*

Проектот започна со реализација во учебната 2015/2016 год. а продолжи и оваа учебна 2022/2023год., со цел развивање на чувство кај децата дека и отпадот може да биде корисен. Преку собирање на отпаден материјал (пластични шишиња, картонски кутии) и нивно рециклирање , до изработка на корисни предмети за секојдневна употреба и украси

.

### *4.6.8. ПРОЕКТ „СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ*“

Овој проект има за цел формирање на спортски дух кај децата , нивен правилен раст и развој.Проектот започна со реализација од мес.Септември-2015 година и се одвиваше и оваа година преку реализирање на разни спортски и рекреативни активности во градинката, во дворот, во спортската сала . Беа користени разни спортски реквизити со кои располага установата.

### *4.6.9 ПРОЕКТ ,,СЕМЕЈСТВО И СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ,,*

Овој проект има за цел да го нагласизначењето на семејните вредности,почитта ,одговорностите и обврските на секој член од семејството,хармонијата и љубовта,моралните и етичките вредности за градење на здрави и просперитетни генерации.

*4.6.10 ПРОЕКТ ,,ТРАДИОЦИОНАЛНИ ИГРИ,,*

Преку овој проект децата се запознаа со старите традиционални игри,кои се трајни и применливи,бидејќи создаваат кај децата да се развие отворен и кретативен дух и чекор за запознавање на нешто ново поврзано со детството на нивните родители.

4.6.11. ПРОЕКТ„ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ “

Четирите Еко стандарди содржани во Еко Програмата во целост се реализирани во редовната воспитно-образовна програма и тоа од следниот приказ на еколошки активности реализирани во текот на учебната 2022/2023 година.

ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

Во контекст на имплементирање на четирите Еко стандарди содржани во **ЕКО-ПРОГРАМА** во редовната воспитно-образовна програма го изготвивме следниот приказ на еколошките активности за оваа учебна година.

Здравје– Еко стандард
„ЗДРАВА ХРАНА ЗА ДЕТСТВО БЕЗ МАНА“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За што се ни е потребна здравата храна<br><br>Што е здрава и разновидна храна | Градинка дечиња мои пријателчиња<br><br>Есенски убавини | -Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>- Физичко здравје и моторен развој<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Септември Октомври Ноември |
| 2 | | | -Физичко здравје и моторен развој | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка на пирамида за здрава храна | Есенски убавини | -Социоемоционален развој<br>-Когнитивен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Ноември<br>Декември |
| 3 | “Вкусна приказна” | Бело перниче | -Когнитиен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здраје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Јануари<br>Февруари<br>Март |
| 4 | Засадување на зачини | Немаме резервна планета | -Социоемоционален развој<br>-Јазик , комуникација и описменување<br>- Физичко здравје и моторен развој<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Март<br>Април<br>Мај |
| 5 | Ран зеленчук и рано овошје | Секое патување ново доживување | -Когнитиен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здраје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Мај<br>Јуни |

Здравје – Еко стандард
„ХИГИЕНСКИ НАВИКИ, ЗДРАВИ НАВИКИ“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мојата лична хигиена | Градинка дечиња мои пријателчиња | -Когнитиен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здраје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Септември<br>Октомври |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | -Развој на јазикот, описменување и комуникација | | |
| 2 | И на храната и треба хигиена- | Есенски убавини | -Социоемоционален развој<br>*креативна работилница со родители и деца<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>* Разгледувањена еко - детска литература | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Ноември<br>Декември |
| 3 | Хигиена на забите | Бело перниче | -Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>* креативна работилница за изработка на Еко – украси<br>-Когнитивен развој и истакнување на општите знаења | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Декември<br>Јануари<br>Февруари |
| 4 | Еко дете чиста околина плете<br><br>- Хигиена во околината | Немаме резервна планета | -Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>*рециклирање на хартија и пластика во соработка со Пако Мак и Комуна<br>-Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>*подарок за мама<br>-Физичко здравје и моторен развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Февруари<br>Март |
| 5 | Работна акција Чист двор за здрави деца | Секое патување ново доживување | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Развој на јазикот, описменување и | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Април<br>Мај<br>Јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | комуникација | | |

Здравје – Еко стандард

“СПОРТУВАЈ, РЕКРЕИРАЈ И ЖИВЕЈ ЗДРАВО“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моите омилени игри | Градинка дечиња мои пријателчиња Есенски убавини | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Септември<br>Октомври<br>Ноември |
| 2 | Повеќе спорт за нас, а телефони за вас | Есенски убавини | -Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Ноември<br>Декември |
| 3 | И јогата е спорт-игри за вдишување | Немаме резервна планета | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>Развој на јазикот, описменување и комуникација | Групи со деца над 5 до 6 год. возраст | Февруари<br>Март<br>Април |
| 4 | Велосипедска трка- Вози | Секое патување | -Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и | Групи со деца над | Мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | велосипед за 5<br><br>- засади дрво за воздух чист и зелен лист | новодоживување | стекнување на општи знаења<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | 4 до 6 год. возраст | |
| 5 | Прв до врв- мали планинари | Секое патување новодоживување | -Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год. возраст | Мај<br>Јуни |

Здравје – Еко стандард

„БЕЗБЕДНО ОДНЕСУВАЊЕ“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Безбедно однесување во домот | Есенски убавини | -Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст | Октомври<br>Ноември |
| 2 | Правилно и безбедно однесување на излет, прошетки... | Бело перниче | -Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст | Ноември<br>Декември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | знаења | | |
| 3 | Правилно и безбедно однесување на скијање- летување | Немаме резервна планета | Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Постара предуч. возраст-сите групи над 3 год. возраст | Февруари<br>Март<br>Април |
| 4 | Правилно и безбедно однесување во ЗОО | Секое патување ново доживување | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Мај |
| 5 | И јас сум учесник во сообраќајот<br><br>- Изработка на големи сообраќајни знаци | Секое патување новодожи вување | -Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>*Театарска претстава<br>*Соработка со О.У. „Крсте Мисирков“<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Мај<br>Јуни |

## 4.7.СОРАБОТКА СО ВИСОКО-ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Соработката со високо-образовните институции Филозофскиот факултет,,Св.Кирил и Методиј ,,и Педагошкиот факултет,,Св.Климент Охридски,, продолжи и оваа година . Се проследија неколку предавање од страна на професори од овие институции со подобрување и модернизирање на воспитно-образовниот процес.

## V.РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ, СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА И ДРУГИ СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ

### 5.1. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

| Содржина на работата | реализирано |
|---|---|
| Технички подготовки за отпочнување на новата учебна година | Август |
| Формирање воспитни групи, напатствија за прием на нови деца | Авг./септем- ври |
| Распоредување на воспитно-згрижувачкиот кадар по објекти и восп.групи | Авг./септ. |
| Упатство за подготовки за годишнито тематско и оперативно планирање за работа на воспитувачите | Септември |
| Изготвување Годишна програма за работа за учебната 2022/2023г. | Септември |
| Соработка со родители преку учество во планирањето на соработката и вклучување на родителите во органот на управување | континуирано |
| Подготовки и учество на седница на Советот на воспитувачи и негователки | Септември |
| Вкучување во реализација на проектите кои ќе се реализираат во учебна 2022/2023г | Континуир. |
| Учество во изготвување Листа за јадење за децата во градинката | Септември |
| Консултации и насоки за родителски состаноци по електронски пат | Септември |
| Учество на седници на комисии и Советот на Општината | Перманентно |
| Подготовка и учество на седница на Управен одбор во градинката | Септември |
| Учество во реализацијата на предвидените проекти што се реализираа во текот на целата година | Континуирано |
| Насоки и следење на здравствената работа со децата | Перманент- но |
| Практично согледување на резултатите од реализираните активности со децата од сите области | Континуирано |
| Стручно педагошко- психолошко усовршување на кадарот преку учество на стручни средби, советувања и семинари преку електронски платформи и обезбедување стручна литератира | Континуирано |
| Континуитет во активностите за санација на одделни делови на објектите во насока на нивно што подобро одржување и оспособување за добра и квалитетна работа | Континуирано |
| Реализација на планирани активности од Еко-програмата | континуирано |
| Насоки за одбележување на Детската недела | Октомври |
| Учество во подготовки и реализација на насочени активности кои се реализираа во сите објекти | Континуирано |
| Прегледување на педагошката и здравствената администрација | Октомври |

| | |
|---|---|
| Консултативни состаноци | Октомври |
| Учество во подготовки за одбележување на прослави и празници | Октомври |
| Насоки и учество на семинари за стручно усовршување | Континуирано |
| Подготовка на материјали и учество на седница на Управен одбор | Ноември |
| Прегледување на педаг.администтр.и евиденција | Декември |
| Учество во подготовките за одбележување на Нова Година | Декември |
| Следење на финасиска состојба и обновување на дидактика и др. опрема | Декември |
| Анализа на воспитно-образовна работа во првото полугодие и анализа на згрижувачко-здравствената работа со децата во првото полугодие | Јануари |
| Вклучување во подготовките за одбележување на Денот на градинката | Јануари- Април |
| Подготовка и учество во работа на Управен одбор | Февруари |
| Прегледување на педагошка и здравствена администрација | Март |
| Консултативни состаноци | Март |
| Подготовка на материјали и учество во работата на стручните активи | Април |
| Постојана и континуирана взаемна соработка на установата со општина Гази Баба, МТСП, Биро за развој на образованието и други компетентни институции | перманентно |
| Организирање соработка со други предучилишни установи | Перманентно |
| Подготовки за учество на манифестации на ниво на Град | Април/Мај |
| Прегледување на педагошката и здравствената администтација и евиденција | Мај |
| Изготвување на План за користење годишни одмори на работниците | Мај |
| Насоки за работа на воспитните групи | Мај |
| Состанок со стручните совети со заклучоци за остварениот Годишен план | Мај |
| Подготовка и учество на седница на Управен одбор во градинката | Јуни |
| Перманентна едукација на директорот заради комплексноста на работата и работните ангажмани | перманентно |
| Насоки за работа во летниот период | Јуни |
| Изготвување Годишен извештај за работа во учебната 2022/2023г. | Август/Септември |

## 5.2. СТРУЧЕН СОВЕТ

| **Содржина на работата** | Реализирано |
|---|---|
| Седница на Советот за формирање на воспитни групи, и распоредување на работници по објекти и групи | Август/септември |
| Седници за реализација на планираните задачи од Годишната програма за работа за 2022/2023 | Континуирано |
| Тековни потреби по објектите, набавка на воспитно-образовни помагала, дидактика по групите | Континуирано |
| Седница за тековни потреби и проблеми | Континуирано |
| Седница за подготовки за одбележување празници, формирање комисии и сл. | Континуирано |
| Разгледување и усовојување новини во работата, насоки за електронска евиденција на деца | Континуирано |
| Анализа на згрижувачката и воспитно-образовната работа за изминатиот период | јануари |
| Седница за планирање и распоред за користење годишни одмори на работниците | Мај(онлајн) |
| Анализа на згрижувачката и воспитно-образовната работа за изминатиот период | Јуни(онлајн) |
| Седница за утврдување извештај за работа и предлог мерки за летниот период | Јули /Август(онлајн) |

## 5.3.СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

**С**оветот на родители функционира како орган кој расправа за низа прашања поврзани со престојот на децата во детската градинка.

Советот на родители во текот на учебната година одржа неколку седници на кои се расправаше и одлучуваше по следните прашања:

- програми кои се реализираат во Детската градинка;
- видови на наставни помагала и прирачници за работа со децата;
- детски списанија;
- осигурување на децата преку осигурителни компании,
- активности околу одбележување на низа манифестации и реализација на истите;
- други актуелни моменти поврзани со престојот на децата.

## 5.4.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА НЕГУВАТЕЛИ

| Содржина на работата | Реализирано |
|---|---|
| Изготвување План за работа на Советот и насоки за работа за учебната година | Септември |
| Организирање и реализирање на згрижувачката работа во групите | континуирано |
| Вклучување и помош во работата на воспитувачот при развивање на културно-хигиенски и работни навики кај децата, преуредување на просторот и катчињата за работа | континуирано |
| Вклучување во подготовката на разни приредби и прослави, разубавување на просторот како во занималната така на целокупниот амбиент на градинката | континуирано |
| Теоретско предавање од стручни лица од соодветната област | Континуирано |
| Стручни средби и размена на искуства со други градинки | февруари/март |
| Заклучни согледувања од згрижувачката работа со деца во прво полугодие | Февруари |
| Редовни контакти со родителите и нивно информирање за се она што се однесува за нивното дете од аспект на згрижувачката дејност а и пошироко | континуирано |

## 5.5.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА СОВЕТОТ НА ВОСПИТУВАЧИ

| Содржина на работата | Ориентационо време |
|---|---|
| Одбележување на Денот на Независноста ,,8 Септември,, | Септември |
| Изготвување на долгорочно-годишно планирање и среднорочно-тематско планирање за работа во воспитно-образовните групи | Септември |
| Изготвување месечни планови за работа на Советот | Септември |
| Изготвување среднорочно-тематско планирање по возрасни групи | Континуирано |
| Договор за првите родителски состаноци | Септември |
| Одбележување на Детската недела | Октомври |
| Реализација на планирани активности од Еко-програмата | Еко-одборот |
| ,,Екологија,,Објект Сонце –интерен проект | континуирано |
| Подготовки за одбележување на празникот | Октомври |

| | |
|---|---|
| ,,11 Октомври,, | |
| Подготовки и реализација на екстерните проекти и месечни известувања | Континуирано |
| Испракање на есента со куклени претстави | Ноември |
| Одбележувањето на Денот на Општина Гази Баба | Ноември |
| Одбележување на ,,13 Ноември,, | Ноември |
| „Се за облеката ,,- проект- реализатор објект ,,Синоличка“ | Континуирано |
| „ Книгата мојот најдобар другар“- проект – реализатор објект ,,Искра“ | Континуирано |
| Подготовка и дочек на Новата 2023 година | Декември |
| Анализа на воспит.-образовната работа во првото полугодие | Јануари |
| Изработка на месечни планови | Јануари |
| Реализација на проектна активност ,,Растеме ,учиме со сказните и приказните“ во објект „Детелинка“ | Континуирано |
| Изработка на мартинки како предвесници на пролетта | Март |
| Одбележување на празникот 8ми Март | Март |
| ,,Со рециклирање до уметност“- проект во објект „Пони“ | Континуирано |
| ,,Спиртуваме,играме и здраво растеме,, проект од објект ,,Пеперутка,, | Континуирано |
| „Четири чудесни годишни времиња“- проект, реализатор објект „Морковче “ | Континуирано |
| Збогување со големите групи –завршна приредба | Јуни |

## 5.9. РАБОТА НА ПОМОШНИ ТЕЛА И КОМИСИИ

Во согласност со Законот за заштита на децата и Статутот на установата директорот формира помошни тела и комисии за работа.

Во извештајната година активно работеа во рамките на своите овластувања следните комисии:

1. Комисија за прием на деца, која се состануваше еднаш месечно и вршеше прием на деца по објекти во согласност со можностите за прием на нови деца согласно Правилникот за утврдување на критериуми за прием на деца во установата.
2. Комисија за исхрана на децата, која се состанува за изготвување на сезонски листи за исхрана на децата.
3. Комисија за следење на хигиената во објектите, која се состанува и работи месечно, со цел утврдување на состојбата со хигиена по објектите и предлагање мерки.
4. Комисија за повреда на работни обврски и претставки, која работи по потреба.
5. Пописни комисии за спроведување редовен попис во објектите.
6. Комисија за селекција на кандидати по јавен оглас за јавни службеници.
7. Комисија за полагање стручен испит на вработени на пробна работа.

## 5.10.РЕАЛИЗИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ОСТАНАТИОТ ПЕРСОНАЛ

а)**Административниот персонал** во рамките на своите надлежности покрај извршување на постојните работи и работни задачи уредени со актот за систематизација во текот на извештајната година реализира:
- Административните службеници присуствуваа континуирано на обуки за законски регулативи за евидентирање на залихи, оттуѓување на инвентар,билансни позиции,јавни набавки...
- учество во обука за користење на информацискиот систем за управување со човечки ресурси, во организација на Министерство за информатичко општество и администрација, на обуката учествуваше претставник од установата.
-учество на обука за архивско работење;
-примена на законот за безбедност и здравје при работа и обука на вработените .
-учество на семинари за сметководствено работење;
-учество во работилници за примена на измени на закони и прописи;
- следење на законски измени , нивно применување и разменување на искуства со други институции и стручни лица.
- соработка и контакти со стручните служби во Општина Гази Баба и Министерството за труд и социјална политика.

б)**Готварскиоти помошниот кадар во кујна**, во рамките на своите задолженија и работни обврски, ги применуваа листите за јадење на децата, се грижеа за квалитетна исхрана на децата, одржување на хигиената во кујните на највисоко ниво и примена на воспоставените мерки за безбедност на храна и примена на HACCP принципите. Сите состојби со примена на принципите се водат секојдневно во записи На барање на вработените во кујна се набавуваат средства и инвентар потребен за работа во кујните.Агенцијата за храна и ветеринарство континуирано вршеше обуки на вработените за правилата,прописите,стандардите за работа во кујните.

**в)Вработените задолжени за одржување на хигиената, објектите, опремата и магацините,** секој во рамките на своите работни обврски ги извршуваше секојдневните задачи. Персоналот задолжен за одржување на хигиената, за својата секојдневна работа води пишана евиденција во записи и чек-листи- записи за чистење на занимални и вц простории како и месечен извештај за примена на процедурата за одржување на хигиена.

## VI. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДРУГИ РАБОТИ И ЗАДАЧИ ПОВРЗАНИ СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ДЕЈНОСТА

**З**а остварување на целокупната дејноста на детската градинка неопходни се планирања и реализирање на задачи кои ги наметнуваат Законските прописи кои директно или индиректно влијаат на работата , задолженија од инспекциски надзор како и учество во иницијативи произлезени од централната власт и локалната самоуправа.

Во оваа учебна година беа реализирани следните работи: .

- Сите вработени беа упатувани на задолжителни санитарни прегледи и беа спроведувани редовни и акции за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во објектите .
- Согласно Законските прописи редовно се одржуваат оџаците на системите за затоплување;
- ПП заштита се реализира со годишно сервисирање на пп апарати и хидрантска мрежа во објектите.
- Децата кои престојуваат во установата беа осигурени преку осигурителна компанија, за годишна премија од 100 денари преку осигурителна компанија Граве-осигурување.Осигурувањето беше на терет на родителите, а во организација на Советот на родители.

Во седум објекти на установата се врши физичко-патролно обезбедување од страна на овластена агенција за обезбедување, со цел превентивни мерки за заштита од кражби и штети на објектите. Во објектот ,,Сонце,, , „Синоличка“, „Искра“ ,,Детелинка“ и ,,Пони,, има мониторинг систем за дојава- алармен систем.

## *З а к л у ч н и с о г л е д у в а њ а*

**К**ако резиме за целокупната работа во учебната 2022/2023 годинаможе да се заклучи дека сме целосно задоволни од реализацијата на планираната Годишна програма и опфатот на деца по објекти согласно формираните возрасни групи.

Во текот на годината извршени се редовни и вонредни инспекциски надзори во установата со позитивни извештаи за работењето на установата.

**З**аслужува да се потенцира соработката со родителите во извештајниот период бидејќи беа присутни и помагаа во сите моменти кога ни беа потребни. Годинава имаше и неколку донации од родители и тоа во форма на играчки и дидактика.

**О**стануваат делумно нерешени проблемите со недостаток на вработен кадар од профилот на стручни работници: педагог, психолог, логопед, медицинска сестра ; стручни соработник- ликовен педагог, административни службеници и друг помошен кадар, кој проблем е поврзан како со непополнети работни места така и со пензионирање на вработени кои ги исполнуваат условите за старосна и лична пензија.

Во заклучните согледувања ќе ја повториме мислата со која што започнавме на почетокот на овој Извештај

****Најубавиот период во животот на секој човек е неговото детство****

Нашите заложби ќе продолжат во таа насока- да градиме идни генерации кои со позитивни сеќавања ќе се навраќаат во мислите за деновите поминати во градинка.

**Водени од мислата *Здравата иднина се темели на здраво,весело исреќно детство* ќе продолжиме со активности за развој на воспитно-образовната и згрижувачка работа во нашата установа.**

**Дел.бр. 01-302/1** **В.Д.ДИРЕКТОР**

**Од 18.07.2023 год.** **М-р Марина Анѓелкова Арсова**

**С к о п ј е**

---

## *З а к л у ч н и с о г л е д у в а њ а*

Како резиме за целокупната работа во учебната 2022/2023 година може да се заклучи дека сме целосно задоволни од реализацијата на планираната Годишна програма и опфатот на деца по објекти согласно формираните возрасни групи.

Во текот на годината извршени се редовни и вонредни инспекциски надзори во установата со позитивни извештаи за работењето на установата.

Заслужува да се потенцира соработката со родителите во извештајниот период бидејќи беа присутни и помагаа во сите моменти кога ни беа потребни. Годинава имаше и неколку донации од родители и тоа во форма на играчки и дидактика.

Остануваат делумно нерешени проблемите со недостаток на вработен кадар од профилот на стручни работници: педагог, психолог, логопед, медицинска сестра ; стручни соработник- ликовен педагог, административни службеници и друг помошен кадар, кој проблем е поврзан како со непополнети работни места така и со пензионирање на вработени кои ги исполнуваат условите за старосна и лична пензија.

Во заклучните согледувања ќе ја повториме мислата со која што започнавме на почетокот на овој Извештај

****Најубавиот период во животот на секој човек е неговото детство ****

Нашите заложби ќе продолжат во таа насока- да градиме идни генерации кои со позитивни сеќавања ќе се навраќаат во мислите за деновите поминати во градинка.

**Водени од мислата *Здравата иднина се темели на здраво, весело и среќно детство* ќе продолжиме со активности за развој на воспитно-образовната и згрижувачка работа во нашата установа.**

**Дел.бр. 01-302/1**

**Од 18.07.2023 год.**
**С к о п ј е**

**В.Д.ДИРЕКТОР**

**М-р Марина Анѓелкова Арсова**

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** в.д директор, м-р Марина Анѓелкова Арсова

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, предложена од управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-304/6 од 21.07.2023 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје достави Предлог - Програма за работа на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, предложена од управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-304/6 од 21.07.2023 година.

Согласно член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата, "Управниот одбор на јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој: - предлага годишна програма за работа и извештај за работа до советот на општината и на општината во градот Скопје".....

Одлуката на управниот одбор е дадена во прилог на материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
"25 МАЈ" Општина Гази Баба
Бр. 02-304/6
21.07 2023 год.
СКОПЈЕ

Во согласност со член 116 и 168 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.23/13 со измените и дополнувањата) а врз основа на чл.27 од Статутот на Јавната установа за деца-Детска градинка ,,25 Мај,,-Општина Гази Баба-Скопје, Управниот одбор на установата на седницата одржана на ден 21.07.2023 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ- ГОДИШНА ПРОГРАМА

1.

Се донесува Предлог-Годишна Програма за работа на Јавната установа за деца-детска градинка ,,25 Мај,,-Општина Гази Баба-Скопје, за 2023/2024 год.

2.

Се предлага Советот на Општина Гази Баба со одлука да ја донесе Годишната Програма за работа за 2023/2024 година .

**3.**

Одлуката влегува во сила со донесувањето.

Дел.бр. 02-304/6
Од 21.07.2023 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Мичо Ангеловски

**ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „25 МАЈ“**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023-2024год.

***СКОПЈЕ, Јули - 2023 год.***

# С о д р ж и н а

1. **ВОВЕД - МИСИЈА, ВИЗИЈА И ПОЈДОВНИ ОСНОВИ**
2. **ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТНО ВРЕМЕ**
3. **ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА**
4. **РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИ**
5. **РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ И СТРУЧНИТЕ И ДРУГИ РАБОТНИЦИ**
6. **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ**
7. **СОРАБОТКА СО ДРУГИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ,СПОРТСКИ, ЗДРАВСТВЕНИ, КУЛТУРНИ, НАУЧНИ И ДРУГИ УСТАНОВИ, ФОНДАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА**
8. **АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА**
9. **ПЕРМАНЕНТНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**
10. **РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ**
11. **ДРУГИ РАБОТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА**

# I . ВОВЕД- МИСИЈА, ВИЗИЈА И ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

## 1. МИСИЈА И ВИЗИЈА

1.МИСИЈА

**В- ВОДИЛКА НА ДЕТСКАТА ИДНИНА**
**И- ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ**
**Н- НЕЖНА ТОПЛА ПРЕГРАТКА**
**О- ОТКРИВАМЕ, ОСОЗНАВАМЕ**
**Ж- ЖИВОТ ПОЛН СО НАСМЕВКИ**
**И- ИНСПИРАЦИЈА И КРЕАТИВНОСТ**
**Т- ТОПЛИНА КАКО ВТОР ДОМ**
**О- ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ - ТЕМЕЛ ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ**

2.МОТО

**СИТЕ ЗАЕДНО**
**СИТЕ ЕДНАКВИ**
**ПОД БОИТЕ НА ВИНОЖИТОТО**

Програмата за воспитно-образовна работа во јавните детски градинки треба да им помогне на децата да се едуцираат за да ги прошират своите познавања, да формираат поими, да постигнат основни вештини и позитивни ставови кон учењето, да почнат да ги развиваат своите способности и таленти во различни подрачја.

Планираните активности ќе ги поттикнат децата да истражуваат, да предвидуваат, да сознаваат , да прашуваат и да анализираат. Кај секое дете интелектуалната, физичката, социјалната, емоционалната и креативната димензија се меѓусебно поврзани. Затоа Програмата се однесува на сите аспекти на развојот на детето што ќе создаде можност за соодветно изразување низ: јазични активности, драмски, ликовни, како и кооперативни активности со возрасните. Децата поттикнати од вродената љубопитност се жедни за постојано учење и затоа многу е важно да се искористи природната љубопитност и креативност, со што ќе создадеме учење по мерка на детето.

Доколку се инвестира во раниот детски развој, од раѓањето, па се до петтата година, понатамошното развивање на когнитивните и социјалните вештини во овој период може многу да се постигне бидејќи тоа е решението за подобро образование и подобри резултати во останатите сфери од животот како и поголем економски просперитет. Резултатот е многу поспособни, попродуктивни и ценети граѓани .

Ако сето ова го имаме во вид, нашите заложби како градинка и носители на дејноста ќе бидат:

- еднаков пристап до квалитетно образование за секое дете, индивидуализирано подучување, холистички пристап кон развојот на детето односно методологија која е насочена кон детето, инклузија, вклучување на семејствата и заедницата, користење разновидни пристапи кон учењето и создавање стимулативна средина која меѓу другото ја одразува и културата од која потекнуваат децата.

**РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ НЕ ТРЕБА ДА СЕ СФАТИ КАКО ТРКА,**

**ТОА Е ЕДИНСТВЕНО ПАТУВАЊЕ НА СЕКОЕ ДЕТЕ ПОСЕБНО.**

## 1.2.ВИЗИЈА

***НИЗ ИГРА ЌЕ УЧИМЕ, ЗДРАВО ЌЕ РАСТЕМЕ И СВЕТЛА ИДНИНА ЌЕ СОЗДАВАМЕ***

## 1.3. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

**Ј**авната установа за деца- Детската градинка ,,25 Мај,, Општина Гази Баба-Скопје, (во понатамошен текст : Детската градинка), целокупната згрижувачка и воспитно-образовна дејност ја програмира, организира и реализира врз основа на :

- Законот за заштита на децата (Сл.весник на Р.М. бр.23/13 со измените и дополнувањата во Сл.весникбр.12/14,44/14,144/14,10/15,25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, Сл. Весник на РСМ бр. 104/2019,146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22) ),

  Статутот на Детската градинка;

  Програма за рано учење и развој (Сл.весник на РМ бр.46/2014)

  Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот;

  Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Сл.весник на РМ бр.28/2014 со измените и дополнувањата во Сл.весник на РМ бр.40/14,136/14,71/15, 170/16 ,151/18, 110/22)

  Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и Центар за ран детски развој (Сл.весник бр.87/2013 со измените и дополнувањата во Сл.весник бр.154/13, 127/14 , 146/15 ,159/16 и 85/19),

  Правилникот за начинот на водење на евиденцијата, како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца (Сл.весник на РМ бр.88/2013)

  Правилник за побилиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето за деца и родители во јавните детски градинки/Јавен центар за ран детски развој (Сл.весник бр.62/2013)

  Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна;

Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца;

Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите, како и постоечката законска регулатива.

## II.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТНО ВРЕМЕ

### 1.ОРГАНИЗАЦИЈА

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

**О**рганизационата поставеност на работата во детската градинка овозможува правилно изведување на воспитно-згрижувачката дејност.

**Д**етската градинка својата дејност ја обавува во седум(7) работни единици, лоцирани на седум локалитети и тоа:

| **ред. бр.** | **Имена објектот** | **Нето корисна површинана објектот,во м²** | **Локација- Место** | **Адреса** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Сонце | 1.849 м² | н. Методи Андонов Ченто | ул.СреќкоПужалка-112 |
| **2** | Синоличка | 1.200 м² | н. Методи Андонов Ченто | ул.Катлановска бб |
| **3** | Искра | 680 м² | н. Методи Андонов Ченто | ул.Палмиро Тољати бб |
| **4** | Детелинка | 1.232 м² | н.Триангла | ул.Модест Мусоргски бб |
| **5** | Пони | 1.186 м² | н.Хиподром | ул. Пехчевска бб |
| **6** | Морковче | 569 м² | н.м.Јурумлери | ул.2А бр.1 |
| **7** | Пеперутка | 1022 м² | с.Стајковци | н.м. Стајковци |
| | Вкупно | 7738 м² | | |

**С**ите објекти се наменски изградени, шест објекти се од тврда градба, а објектот „Искра“ е од монтажен комбиниран тип.

**О**свртнувајќи се на условите за работа, може да се каже дека во постојните капацитети на Детската градинка во голем дел се создадени услови што овозможуваат целокупната дејност да се одвива успешно.

Просториите во објектите се опремени со опрема сообразена со возраста и потребите на децата.

Објектите располагаат со дворна површина која во целина претставува уште еден позитивен услов за солиден престој на децата на отворено. Редовно се води грижа за одржување на дворовите што подразбира редовно засадување садници, нивно негување и одржување како и секојдневна грижа за негување на цветните и тревните површини.

**С**ите објекти работат по принципот „клонови“, со тоа што административно-стручните работи се обавуваат во објектот „Сонце“. Во овој објект се наоѓа и централната кујна од каде главниот ручек се дистрибуира во останатите објекти.

## ПОСТАВЕНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА.

Во согласност со Законот за заштита на децата , Стандардите и нормативите за извршување на дејноста, Законот за вработените во јавниот сектор, Систематизацијата на работите и работните места, како и останатите законски прописи, во Детската градинка вработени се лица на неопределено времеи лица ангажирани преку агенција за вработување.

Вработените во детската градинка имаат статус на вработени во јавниот сектор во согласност одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и се поделени во три служби:

1. Административно-помошно техничка служба
2. Служба на даватели на услуги
3. Помошна- техничка служба

Во оваа учебна година, со состојба 15.09.2023 година состојбата со извршители е следна:

| ред. бр. | Работно место | Степен / Вид на образование | Број на извршители |
|---|---|---|---|
| | **Вработени на неопределено време** | | |
| | **Раководно лице** | | |
| 1 | Директор | ВСС-правен факултет | 1 |
| | **Даватели на услуги** | | |
| 2 | Стручен работник - дипломиран педагог | ВСС-филозоф.факултет-педагогија | / |
| 3 | Дипломиран логопед | ВСС-логопедија | / |
| 4 | Дипломиран психолог | ВСС- филозофски факултет-психологија | / |
| 5 | Стручен работник- дипломиран дефектолог/ спец. едук. рехаб | ВСС- филозофски факултет-дефектологија | 1 |
| 6 | Стручен соработник - музички педагог | Факултет за музички уметности | 1 |
| 7 | Стручен соработник -дипломиран педагог по физичко воспитание | Факултет за физичко образование, спорт и култура | 1 |
| 8 | Воспитувачи на деца од 2 до 6 год. Возраст | ВСС/ВШС- Предучилишно воспитание | 34 |
| 9 | Воспитувач – приправник | ВСС - Предучилишно воспитание | 5 |
| 10 | Негователи | ССС | 42 |
| 11 | Негователи – Приправник | ССС | 7 |
| 12 | Стручен соработник Медицинска сестра/ техничар | ССС- медицински науки | / |
| | **Администрaтивна сл.и управу-вање со човечки ресурси** | | |
| 1 | Советник секретар | ВСС- правни науки | / |
| 2 | Виш референт аналитичар евидентичар | ССС | / |
| 3 | Виш соработник Сметководител | ВШС-економски науки | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Самостоен референт Мат.книговодител | ССС | 1 |
| 5 | Помлад референт - администратор | ССС | / |
| 6 | Помлад соработник-сметководител | ВСС | 1 |
| | **Помошна-Техничка служба** | | |
| 1 | Возач | ССС | 1 |
| 2 | Гл.готвач | ССС | 1 |
| 3 | Пом.готвач | ССС | 3 |
| 4 | Садомијач/ сервирка | НКВ/ ССС | 11 |
| 5 | Хаус мајстор | ССС | 1 |
| 6 | Магационер | ПКВ | / |
| 7 | Чувар-градинар | НКВ | 4 |
| 8 | Перачка-пеглачка | НКВ | 1 |
| 9 | Хигиеничар | НКВ | 16 |
| 10 | Набавувач | | / |
| | **Вкупно вработени со статус враб.во јавен сектор** | | **134** |
| | **Вработени преку Агенција за привремени вработувања** | | |
| 1 | Референт – Аналитичар | ССС | 1 |
| 2 | Воспитувач | ВСС | / |
| 3 | Воспитувач – приправник | ВСС | 1 |
| 4 | Неговател – приправник | ССС | 6 |
| 5 | Неговател | ССС | 3 |
| 6 | Технички хигиеничар | ССС | 4 |
| 7 | Магационер | ССС | 1 |
| | **Вкупно** | | **16** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | **150** |

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

**Н**а ниво на Детска градинка просторните услови ги прикажуваме како што следува:

| **1. Вид на просторијата** | **Број** |
|---|---|
| **ПРОСТОРИИ ЗА ЗГРИЖУВАЧКА И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| ЗАНИМАЛНИ - РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ | 57 |
| ФИСКУЛТУРНА САЛА | 1 |
| БИБЛИОТЕКА | 1 |
| ПОСЕБНА ПРОСТОРИЈА ЗА ЧУВАЊЕ НА АУДИО-ВИД.СРЕДСТВА | 2 |
| ДРУГИ ПРОСТОРИИ | 8 |
| **ПРОСТОРИИ ЗА ОПШТЕСТВЕНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ** | |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ДИРЕКТОР – УПРАВИТЕЛ | 7 |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ПЕДАГОГ | 2 |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ПЕДАГОШКО-МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ | 7 |
| ПРОСТОРИЈА ЗА ВОСПИТУВАЧИ | 7 |
| ПРОСТОРИЈА ЗА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ПРИРЕДБИ | 6 |
| ДРУГИ ПРОСТОРИИ | 11 |

| **ПРОСТОРИИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ, САНИТАРНИ И ДРУГИ ПОТРЕБИ** | |
|---|---|
| ПРОСТОРИЈА ЗА ПРИЕМ И ИСПРАЌАЊЕ НА ДЕЦА | **18** |
| КУЈНА | 7 |
| ДРУГИ ПРОСТОРИИ (перална, остава,трокадери ) | **1.420м2** |
| **ВКУПНА НЕТО КОРИСНА ПОВРШИНА** | **7.738 М2** |
| **Скривници** | **4** |
| **Магацини, помошни простории** | **13** |
| **ВКУПНА ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТИТЕ** | **9.158 м2** |
| **Дворни и други површини** | |
| УРЕДЕНИ ДВОРНИ ПОВРШИНИ (хортикултивирани) | **26.378 m2** |
| УРЕДЕН СПОРТИСКИ ТЕРЕН | 1 |
| **В К У П Н О ДВОРНА ПОВРШИНА** | **36.378 м2** |

## БИБЛИОТЕКА

**Д**етската градинка не располага со посебна просторија за библиотека, но наведената библиотека е во склоп со канцеларијата за воспитувачи. Во сите објекти има кабинети кои располагаат со најразлични нагледни средства од сите воспитно-образовни подрачја. Истите редовно се збогатуваат со дидактички помагала кои ги изработуваат воспитниот и згрижувачкиот кадар. Кабинетите располагаат со стручна и детска литература и со редовно следење на издавачката дејност постојано се збогатува и дополнува фондот на книги со ново излезена стручна, педагошка, здравствена и друга литература.

**С**ите објекти во насока на збогатување на библиотечниот фонд се опремени со низа литературни списанија, разни детски енциклопедии од различни области што допринесува за збогатување на детскиот спектар на знаење за низа сегменти од неговото опкружување и живот.

**О**д издавачките куќи традиционално се набавуваат детските списанија*Супер Смешка* од издавачката куќа „Едука Мак“ , *Росица*од издавачката куќа „Просветно дело“ и списание *Ѕвезди* од издавачката куќа „Арс Ламина“.

# 2. РАБОТНО ВРЕМЕ

## УТВРДЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ

**Р**аботното време на Детската градинка е уредено со акт на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**.**

**Д**етската градинка е отворена за работа со деца секој работен ден освен сабота, недела и државни и други празници утврдени со закон.

**Р**аботното време на Детската градинка во текот на денот изнесува 12 часа и трае од 06,00 наутро до 18,00 часот попладне, утврдено со Решение од Советот на Општина Гази Баба.

**Р**аспоредот на работното време на работниците е скалесто во рамките на 8 часовен работен ден.

## ДНЕВНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО ВО ГРАДИНКАТА

Организација на денот во групите за деца – целодневен престој по возрасни групи е следна:

### Дневни активности за деца од најрана предучилишна возраст

1. За деца до 18 месеци

| Активности | Време |
|---|---|
| -прием на децата и слободни активности | до 8,15ч |
| -подготовка за појадок и појадок | 8,15 ч |
| -реализација на дневното планирање | 9,00 ч. |
| -ужинка | 10,00ч. |
| -тоалет и подготовки за спиење | 10,20ч. |
| -пасивен одмор-спиење | 10,50ч. |
| -тоалет, подготовки за ручек | 12,50ч. |
| -ручек | 13,10ч. |
| -миење раце и тоалет | 13,40ч. |
| -слободни игри и престој на воздух | 14,00ч. |
| -ужинка | 15,00ч. |
| -реализација на дневното планирање | 15,30ч. |
| -слободни игри | 16,00ч. |
| -заминување на децата | до 18,00ч. |

2. За деца над 18 до 24 месеци

| Активности | Време |
|---|---|
| -прием на децата и слободни активности | до 8,15ч |
| -подготовка за појадок и појадок | 8,15 ч |
| -реализација на дневното планирање | 9,00 ч. |
| -ужинка | 10,00ч. |
| -слободни игри и престој на свеж воздух | 10,30ч. |
| -тоалет , подготовки за спиење | 11,30ч. |
| -ручек | 12,00ч. |
| -пасивен одмор-спиење | 12,45ч. |
| -ужинка | 14,45ч. |
| реализација на дневното планирање | 15,10ч, |
| -слободни игри | 15,30ч. |
| -заминување на децата | до 18,00ч. |
| | |
| | |

## Дневни активности за деца од постара предучилишна возраст

1. За деца над 2 до 4 години 2. За деца над 4 до 6 години

| Активности | Време | Активности | Време |
|---|---|---|---|
| -прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8,15ч | -прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8,15ч |
| -утринска гимнастика | 8,15 ч | -утринска гимнастика | 8,15 ч |
| -појадок | 8,30ч. | -појадок | 8,30ч, |
| -реализација на дневното планирање | 9,00ч. | -реализација на дневното планирање | 9,00ч, |
| -ужинка | 10,00ч. | -ужинка | 10,00ч. |
| - реализација на дневното планирање | 10,30ч. | - реализација на дневното планирање | 10,30ч. |
| -прошетка, набљудување и престој на свеж воздух | 11,00ч. | -прошетка, набљудување и престој на воздух | 11,15ч. |
| -ручек | 12,15ч. | -средување на центрите за учење | 12,00ч. |
| -пасивен одмор-спиење | 12,45ч, | -ручек | 12,15ч. |
| -ужинка | 14,45ч. | -пасивен одмор-спиење | 12,45ч. |
| -реализација на дневното планирање | 15,15ч. | -ужинка | 14,30ч. |
| -слободни игри | 16,30ч. | -реализација на факултативни програми (програми по избор на родителите, децата:.јазик, спорт, ритм.игри, балет) | 15,00ч. |
| -средување на центрите за учење | 17,30ч. | -слободни игри | 16,45ч. |
| -заминување на децата | до 18,00ч. | -средување на центрите за учење | 17,30ч. |
| | | -заминување на децата | до 18,00ч. |

# III. ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

## 1.РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА

### 1.1.ОСНОВИ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ЗА ДЕЦА ОД 08 ДО 24 МЕСЕЦИ

Емоционалната врска на детето со негователот во групата е битен предуслов за неговиот правилен и успешен психофизички развој.

Работата во групите со деца од најрана предучилишна возраст покрајгрижатаи негата на детето подразбира и развивање на елементарните навики за исхрана, навики за контролирање на физиолошките потреби, формирање на хигиенски навики и слично. Преку планирани воспитни активности се развиваат детските сетилни органи, движењата, со што децата се поттикнуваат на одредени активности презентирани преку различни видови на игри (дидактички, подвижни, манипулативни игри и сл.).

Со оваа Програма на децата ќе им се овозможи да ја доживеатградинката како средина каде сите имаат еднакви можности да се вклучат во животот и работата без оглед на телесната, половата, психичката конситуција, националната припадност, културно потекло, да ги развива социјалните перцепции, да ги развива способностите за адаптација во нова средина, интерперсоналните односи и комуникациските вештини, развивање на поимот за себе и свест кон групата, развивање на социјална интелигенција, воведување на детето во универзални човекови вредности и етички принципи.

Во секоја група за деца од 8 до 24 месеци се води дневник за планираните и реализираните активности.

## **1.2.** ОСНОВИ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА

### ОД 2 ДО 6 ГОДИНИ

**Б**идејќи раниот детски развој има огромно значење за децата, многу е важно каква треба да биде воспитно-образовната дејност во градинката. На тој начин им овозможиме максимална поддршка на децата да израснат во самоуверени, продуктивни и среќни членови на нашето општество.

Во контекст на ова се и нашите заложби како установа - детска градинка,за унапредување и усовршување на воспитно-образовниот процес.

Во групите кои опфаќаат деца од постара предучилишна возраст активностите ги реализираат воспитувач и неговател.

**В**оспитувачот врз основа на Програмата за рано учење и развој, а имајќи ги во предвид условите за работа, поширокатa околина, културата и менталитетот во средината, индивидуалните разлики, потребите и можностите на децата во конкретната група, изготвува:

- долгорочно планирање кое се однесува на целата воспитно образовна година;
- среднорочно односно конкретизација на годишното планирање и се однесува на определеното време од годината - односно за дел од содржините; и
- краткорочно (дневно, оперативен план) односно конкретизација на тематското планирање и се однесува на еден работен ден.

Тематското планирање е потребно за:

- Создавање на стимулативна и креативна средина за учење;
- Позитивна работна клима;
- Активно учество на децата;
- Можност за изразување на индивидуалните способности;
- Висок степен на интеракција;
- Примена на различни методи на работа;
- Користење на повеќе извори на знаење во градинката и надвор од неа;
- Тимска работа на воспитувачите;
- Проширување на облиците на соработка со родителите.

Главната цел на тематското планирање е детето да истражува и согледува различни страни на проблемот со кој се занимава, преку центри на интересирање, кои преку интеграција на содржините и активностите го обезбедува развивањето на основите вредности кои децата ги стекнуваат: **самостојност, независност, иницијативност, креативност, одговорност кон себе и околината итн.**

Програмата за рано учење и развој за деца од 2 до 6 години е изготвена со потенцирање на пет основни домени. Во рамките на секој домен постојат субдомени и стандарди кои ќе му помогнат на воспитно-згрижувачкиот кадар да знае што да очекува од децата на дадена возраст.

| ДОМЕН | СУБДОМЕН | СТАНДАРДИ |
|---|---|---|
| **Физичко здравје и моторен развој** | Груб моторен развој<br>Фин моторен развој<br>Здраво и безбедно однесување<br>Сензомотерен развој | Постојат од два до четири стандарди во секој субдомен и се исти за сите возрасни групи |
| **Социоемоционален развој** | Социјален развој<br>Емоционален развој | Постојат од два до четири стандарди во секој субдомен и се исти за сите возрасни групи |
| **Пристап кон учење** | Љубопитност и иницијативност<br>Креативност и истрајност | Постојат од два до четири стандарди во секој субдомен и се исти за сите возрасни групи |
| **Јазик, комуникација и развој на писменост** | Комуникација<br>Основи за читање<br>Основи за пишување | Постојат од два до четири стандарди во секој субдомен и се исти за сите возрасни групи |
| **Когнитивен развој и стекнување на општи знаења** | Логика и размислување<br>Математика и броеви<br>Уметност<br>Наука | Постојат од два до четири стандарди во секој субдомен и се исти за сите возрасни групи |

**К**ако предлог- теми за успешно реализирање на воспитно-образовната работа со деца од постара предучилишна возраст за престојната година планирани се следните:

1. ***Нашиот дом на радоста***
2. ***Во Есен има се и сешто***
3. ***И студената зима убавини има***
4. ***Семејната лоза***
5. ***Сообраќајна Култура***
6. ***Кога ќе пораснам ќе бидам……(професии)***
7. ***Различни, а сепак исти (мултикултура)***
8. ***Животинско царство***
9. ***Планетата Земја – нашиот дом***
10. ***Пролетта е тука, на врата ни чука***
11. ***За поубав свет - засади дрво, засади цвет - Еко тема***
12. ***Летни игри – добредојде лето***

Која од наведените теми ќе биде разработена во текот на годината ќе одлучи Советот на воспитувачи.

И во оваа воспитна година, децата на возраст од 5-6 години , ќе продолжат со обработка на збирката сликовници *„Размислувај еднакво“* , во соработка со УНИЦЕФи МТСП, преку проектот за подобрување на социјалните услуги.

## 2. ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ

### 2.1.ЕКСТЕРНИ ПРОЕКТИ

**2.1.1.**

***Инклузија на децата од ромската популација во редовните групи во детските градинки***

Главна цел на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата на децата Роми преку зголемување на бројот на децата- Роми во детската градинка и тоа една година пред поаѓање во училиште. Исто така да се настојува да се подобри пристапот и ставот на родителите преку јакнење и поддршка на развојот и образованието на ромските деца. Да се подобрат социјалните вештини како и подигнување на нивото на владеењето на македонскиот јазик и надминување на стереотипите. Овој проект во континуитет се реализира во објектот Искра. Со проектот се опфатени 20 деца од социјално загрозена категорија на возраст над четири до шест год.возраст со цел нивно успешно вклучување во редовниот воспитно-образовен систем.Проектот е одобрен од *Министерство за труд и социјална политика* и поддржан од *Министерството за образование и наука*.

**2.1.2.**

***Инклузија на децата со посебни потреби во редовните групи***

За вклучување на децата со посебни потреби во редовните групи потребни се пошироки и пофлексибилни услови во планирањето и реализирањето на воспитно-образовната програма со цел да се подобрат резултатите во работата со тие деца.

Програмски, предучилишното воспитание на детето со пречки во развојот се остварува низ два дела:

- едукативен дел - чија основа се темели на компонентите на програмата на редовната воспитна програма, а по обемот и времето се усогласува со специфичностите и можностите на детето со пречки во развојот;

- клинички дел на програмата - кој ги опфаќа подрачјата на когнитивните процеси: комуникации, сензомоторен развој, интелектуалните психички процеси, однесувањето, личната хигиена, грижата за себе како и подрачјето на семејниот и општествен живот.

Со цел  поуспешно реализирање на активностите со децата донесена е посебна програма за работа со деца со посебни потреби.

Овој проект се организира и реализира со децата од големите групи и од година во година се постигнуваат се подобри резултати благодарејќи на:

- успешно вметнување на содржини од „Основи за демократија“ во сите теми  за воспитно-образовна работа;
- стручно усовршување на кадарот за работа и примена на проектот во содветните програми за воспитно-образовно дејствување;
- правилниот методски приод кон децата за нивно привикнување на наставните содржини од овој проект со препознавање , дефинирање, идентификување, прифаќање и објаснување на последиците кои настануваат од исполнувањето на разните животни случки кои се обработуваат и објаснуваат;
- едукација на родителите за примена на осознаените содржини во рамките на семејното воспитание на децата;
- следење на ефектите од примената на дадениот проект.

**2.1.3**

**„Спорт и спортски активности“**

Проектот започна со реализација од претходната година , истиот продолжува и оваа година. Ќе се организираат низа спортски активности со децата од  над три годишна возраст до поаѓање на училиште. Во активностите ќе бидат вклучени и родителите.

**2.1.4.**

**„Градот низ детските очи“**

Овој проект е наменет за децата од големите групи и тоа со наменска цел заради:

- запознавање со убавините на Градот, прошетка низ истиот, развивање на свест за историското, народното богатство и култура, како и за развивање на културниот идентитет.

- посети на значајни споменици, спомен обележја, разни институции кои се дел од историјата и сегашноста на нашиот град.

- зачувување на впечатоците кои ќе ги понесат децата од овие едукативни дружби и заеднички прошетки на соодветен начин преку цртежи.

**2.1.5.**

**„Бон тон за деца“**

Реализација на овој проект е вклучена во секојдневните активности кои се реализираат во периодот од Септември – Јуни. Целта на овој проект е правилно, убаво и пристојно однесување во било која ситуација од секојдневниот живот на децата и најстрого осудување на навредите и физичките пресметки.

**2.1.6.**

**„Од дете за дете“**

Оваа година продолжува со реализација хуманитарно-едукативниот проект „Од дете за дете“ предложен од МТСП. Овој проект е од хуманитарна карактер од децата за децата преку која уште од најмала возраст најмалите ќе ги учиме на хуманост и солидарност. Една од целите на овој проект е децата да бидат солидарни, да научат да помагаат , да разберат колку е важно пријателството и да научат да ги почитуваат потребите на другите.

Една од главната цел на Детската градинка е да ги покани родителите на децата доброволно да се вклучат во хуманитарната акција и да дониираат детска облека, подароци и друга детска

опрема за децата од социјално загрозените семејства и децата згрижени во установите со цел на своите врсници да им ја дадат потребната помош.

**2.1.7.**

**„Градина во детските градинки“**

Имплементација на Проектот „Градини во детските градинки“ донесен од МТСП со реализација започна уште во летниот период и истиот ќе продолжи во тековната учебна година. Целта на овој проект е запознавање на децата со процесот на одгледување на растенијата, со нивните карактеристики, со начинот на нивното правилно консумирање, разновидноста на зеленчуковата градина. За таа цел во неколку објекти од нашата установа создадени се услови за негово правилно реализирање и веќе се согледуваат првичните резултати од досегашните преземени активности.

**2.1.8.**

„**Почитување на различностите и мултикултурализмот во градинките“**

Проектот продолжува да се реализира и во оваа учебна година. Со овој проект ќе бидат опфатени децата од најстара предучилишна возраст во сите објеки на установата. Проектот се реализира во заедничка соработка меѓу УНИЦЕФ и МТСП со поддршка од Британската амбасада во РМ. Целта е воведување на почит кон различностите од аспект на јазик, култура, етничка припадност, попреченост, социо-економски статус во националната програма за рано учење и развој.

**2.1.9.**

**„Моја хигиена- моја навика“**

Овој проект е систем за запазување на хигиената и хигиенските навики. Со импелментација на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки на заштита, односно згрижување и едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основно образование. Со овој проект се опфатени групите со деца од три до шест годишна возраст.

**2.1.10.**

**„ Рециклирање со имагинација“**

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст, за бенефитите од селектирањето на отпадоците и негово рециклирање. Иницијативата на овој проект е општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна предност која треба да биде заштитена. Интеракцијата и секојдневните активности со врсниците како и возрасниот кој му овозможува да ја насети потребата да ги следи правилната на однесување за да се чувствува подобро во средината во која живее.

Со овој проект се опфатени деца од воспитните групи на возраст од три до шест години. Проектот ќе се реализира континуирано цела година низ секојдневните активности.

**2.1.11.**

**„Семејството и семејните вредности“**

Целта на овој проект е развивање на свест кај децата од предучилишна возраст за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности. Со овој проект се опфатени деца во воспитни групи на возраст од три до шест години.

Проектот ќе се реализира континуирано цела година низ секојдневните активности.

**2.1.12.**

**„Проект за селектирање и рециклирање со имагинација“**

МТСП во соработка со ,,Пакомак“ ја вклучи и нашата установа во проектот за селектирање на отпад . За реализирање на проектот обезбедени се корпи во сите објекти на установата. Со ќеси за селектирање на амбалажен отпад - пластика и хартија. Целта на проектот е да се мотивираат родителите на децата да носат амбалажен отпад од пластика . Овој проект има за

цел да се подигне еколошката свест и да се стекнат навики кај децата за селективно собирање на отпадот и негово рециклирање.

**2.1.13.**

**„ Здрави животни навики“**

Овој проект ќе продолжи со реализација и во оваа учебна година. Проектот се реализира во соработка со Општина Гази Баба. Со проектот се опфатени децата од воспитните групи над 5 годишна возраст.

**2.1.14**

**,, Обука за воспитувачи за колегијална поддршка"**

Проектот опфаќа цели, задачи, содржини и активности за унапредување на социо - емоционалниот развој кај децата - Темели за програмата за социјална кохезија и културен дијалог.

**ПРЕДЛОГ ОД ВОСПИТНИОТ ТИМ НА ЈУДГ „ 25 МАЈ“**

**Темите од екстерните проекти се опфатени во среднорочните тематски планирања и се работат во секојдневните активности. Од таа причина воспитниот тим на ЈУДГ 25 ти Мај предлага:**

**Секој воспитувач во текот на годината паралелно со секојдневните активности темелно да разработи проект кој ќе го одбере тој самиот или во договор со колективот.**

**Доколку го прифатите нашиот предлог сметаме дека децата ќе се здобијат со потемелни сознанија од одредена област**

## 2.2.ИНТЕРНИ ПРОЕКТИ

Нашата Детска градинка се стреми кон барање на нови идеи и предизвици следејќи ги современите тенденции и трендови. За таа цел ја планира и реализира работата на одредени проекти. Преку проектот децата се поттикнуваат да истражуваат, откриваат, размислуваат во соработка со другарчињата, воспитувачите, родителите но и со други институции и организации. На таков начин децата се активни субјекти во процесот на стекнување на знаење учествувајќи во истражувачки активности, организирани посети, прошетки, работилници и сл.

| Објект | Проект - Тема | Планирани Активности | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| **Сонце** | Сите различни со желби исти | - Децата во целиот свет – црни, жолти, бели<br>- Иако различни сите со права исти<br>- Музиката, танцот- радоста наша, посета на МОБ<br>- Дедо Мраз не сака сите нас<br>- Топол дом за сите деца<br>- Традиционални игри со мама и тато<br>- Посета на пензионерски дом- подаруваме честитка, подаруваме љубов<br>- Посета на планетариум<br>- Посета на библиотека<br>- Среќно дете- детски игри на зелена трева | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Синоличка** | Во светот на приказните | - Мојата омилена приказна<br>- Посета на библиотека<br>- Посета на Едука Мак<br>- Разговор со писателка<br>- Следење на театарска претстава во градинка<br>- Следење на театарска претстава во театар за деца и младинци<br>- работилница со Снежана Конеска Руси<br>- Мојот омилен лик од приказните<br>- Посета на кукларот Васко при театарот за деца и младинци<br>- Одбележување на 21 Март светскиот ден на театарот за млади<br>- Литературно читање на сликовница со позната актерка од МНТ<br>- Што би било кога би било, заврши ја приказната<br>- Создавање на музика за приказната заедно со нашиот музички педагог<br>- Завршна приредба ,,Во светот на приказните ,, | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Искра** | Животните во нашиот крај | - Посета на зоолошка градина и природно научен музеј<br>- Што се диносауруси и каде има остатоци од нив<br>- Предавање во ЗОО<br>- Посета на месарница<br>- Посета на Живинарска фарма<br>- Ги набљудуваме патките во езерцето во -парк и истражувачки активности<br>- Посета на млекарница, производи од .....<br>- Пееме песни за животните<br>- Следење на цртан филм во Синеплекс, Синг 1 со животните како пејат. | Континуирано |
| **Детелинка** | Природата е во мода,рециклирај за да не е строга | - Рециклирај со имагинација<br>- Селектирај и паметно рециклирај<br>- Што се можеме да направиме од хартијата<br>- Рециклирај ги старите гуми и направи саксии за цвеќиња<br>- Уредување на дворот во градинката<br>- Правиме играчки од рециклиран материјал<br>- Посета на прочистителна станица<br>- Правиме новогодишна елка од зелени пластични шишиња | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Пони** | Здрава храна за детство без мана | - Пирамида на здрава храна<br>- Здрава храна во сите бои<br>- Посета на пазар<br>- Правиме шарена овошна салата<br>- Тиква- сочна ризница на витамини<br>- Веселиот зеленчук- драматизација<br>- Топло чајче со мед<br>- Јаткасти плодови- коледе<br>- Здрави колачиња за здрави дечиња<br>- Кога зимата си оди- здрава храна ни годи<br>- Овошна и зеленчукова математика<br>- Препознај ме по вкус<br>- Полза од домашните животни<br>- - Посета на фабриката за сокови- Вива фреш | Континуирано |
| **Морковче** | Во светот на музиката | - Звукот се создава со удирање<br>- Како се создава звукот<br>- Посета на МБУЦ Илија Николовски Луј<br>- Средба со нашиот музички педагог и воведување во светот на музиката преку пијано<br>- Кој јаизмислил музиката – композитор и неговите задачи<br>- Оркестар и диригент<br>- Видови на музика<br>- Посета на МОБ и следење на детска балетска претстава | Континуирано |
| **Пеперутка** | Музиката во детскиот свет | - Весели ноти<br>- Посета на детски музички фестивал<br>- Звуците на природата<br>- Опера и балет<br>- Народни инструменти<br>- Посета на МОБ<br>- Посета на Театар за деца и младинци<br>- Изработка на музички инструменти<br>- Традицијата е нашето богатство<br>- Модерни танци<br>- Концерт - завршна приредба | Континуирано |

## 3.ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

Во контекст на имплементирање на четирите Еко стандарди содржани во **ЕКО-ПРОГРАМА** во редовната воспитно-образовна програма го изготвивме следниот приказ на еколошките активности за оваа учебна година.

Здравје– Еко стандард

„ЗДРАВА ХРАНА ЗА ДЕТСТВО БЕЗ МАНА“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За што се ни е потребна здравата храна<br><br>Што е здрава и разновидна храна | Нашиот дом на радоста<br><br>Во Есен има се и сешто | -Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>- Физичко здравје и моторен развој<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год.<br>Возраст | Септември<br>Октомври<br>Ноември |
| 2 | Изработка на пирамида за здрава храна | Во Есен има се и сешто | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Когнитивен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Ноември<br>Декември |
| 3 | Есенски хепенинг- “Вкусна приказна” | И студената зима убавини има | -Когнитиен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здраје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год.<br>Возраст | Јануари<br>Февруари<br>Март |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Засадување на зачини | Планетата Земја – нашиот дом | -Социоемоционален развој<br>-Јазик , комуникација и описменување<br>- Физичко здравје и моторен развој<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год. Возраст | Март<br>Април<br>Мај |
| 5 | Посета на Жито центар-Тонус леб | Сообраќајна култура | -Когнитиен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здраје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год. Возраст | Мај<br>Јуни |

## Здравје – Еко стандард

## „ХИГИЕНСКИ НАВИКИ, ЗДРАВИ НАВИКИ“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мојата лична хигиена | Нашиот дом на радоста | -Когнитиен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здраје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год. Возраст | Септември<br>Октомври |
| 2 | И на храната и треба хигиена- | Во Есен има се и сешто | -Социоемоционален развој<br>*креативна работилница со родители и деца<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>* Разгледувањена еко - детска литература | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год. Возраст | Ноември<br>Декември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Хигиена на забите | И студената зима убавини има | -Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>* креативна работилница за изработка на Еко – украси<br>-Когнитивен развој и истакнување на општите знаења | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год.<br>Возраст | Декември<br>Јануари<br>Февруари |
| 4 | Еко дете чиста околина плете<br><br>- Хигиена во околината | Планетата Земја – нашиот дом | -Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>*рециклирање на хартија и пластика во соработка со Пако Мак и Комуна<br>-Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>*подарок за мама<br>-Физичко здравје и моторен развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Февруари<br>Март |
| 5 | Работна акција (вклучен е целиот колектив)<br><br>- Модна ревија од рециклирачки материјал | Сообраќајна култура | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год.<br>Возраст | Април<br>Мај<br>Јуни |

## Здравје – Еко стандард

“СПОРТУВАЈ, РЕКРЕИРАЈ И ЖИВЕЈ ЗДРАВО“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моите омилени игри | Нашиот дом на радоста | Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год.<br>Возраст | Септември<br>Октомври<br>Ноември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Повеќе спорт за нас, а телефони за вас | Во Есен има се и сешто | -Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Ноември<br>Декември |
| 3 | И јогата е спорт- игри за вдишување | Планетата Земја – нашиот дом | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој<br>Развој на јазикот, описменување и комуникација | Групи со дца над 5 до 6 год. Возраст | Февруари<br>Март<br>Април |
| 4 | Велосипедска трка- Вози велосипед за 5<br><br>- засади дрво за воздух чист и зелен лист | Сообраќајна култура | -Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Групи со деца над 4 до 6 год. Возраст | Мај |
| 5 | Прв до врв- мали планинари | Сообраќајна култура | -Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год.<br>Возраст | Мај<br>Јуни |

Здравје – Еко стандард

„БЕЗБЕДНО ОДНЕСУВАЊЕ“

| Ред. бр. | Точка на акција | Тема | Домен на развој | Возрасна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Безбедно однесување во домот | Во Есен има се и сешто | -Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст | Октомври Ноември |
| 2 | Правилно и безбедно однесување на излет, прошетки... | И студената зима убавини има | -Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст | Ноември Декември |
| 3 | Правилно и безбедно однесување на скијање-летување | Планетата Земја – нашиот дом | Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Пристап кон учење<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Физичко здравје и моторен развој<br>-Социоемоционален развој | Постара предуч. возраст- сите групи над 3 год. возраст | Февруари Март Април |
| 4 | Правилно и безбедно однесување во ЗОО | Сообраќајна култура | -Физичко здравје и моторен развој<br>-Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Мај |
| 5 | И јас сум учесник во сообраќајот<br><br>- Изработка на големи сообраќајни знаци | Сообраќајна култура | -Развој на јазикот, описменување и комуникација<br>*Театарска претстава<br>*Соработка со О.У. „Крсте | Групи со деца над 4 до 6 год. возраст. | Мај Јуни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мисирков“<br>-Когнитивен развој и стекнување на општи знаења<br>-Пристап кон учење<br>-Социоемоционален развој | | |

Еко одборот има задача преку активности кои ќе се реализираат во детската градинка да придонесе за развивање на свеста за постоење на програмата за еко-градинка, јаанализира состојбата со животната средина, ги планира активностите и ги следи и евалуира достигнувањата, ги поврзува планирањата со воспитно-образовната дејност , ја информира и вклучи поширокатa заедница со активностите и др.

## 4.ФАКУЛТАТИВНИ- ИЗБОРНИ ПРОГРАМИ

По покажан интерес од страна на родителите како и до сега и оваа година ќе бидат организирани факултативни активности за :

- англиски јазик
- спорт и спортиски активности и ритмички вежби.

Активностите ќе се организираат во возрасните групи со деца од над три дошест годишна возраст и истите ќе ги изведуваат стручни лица.

Изборот на факултативните – изборни програми го врши Советот на родители по претходно објавен оглас.

## IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ПО ГРУПИ

**К**апацитетот на ниво на Детска градинка за сите објекти изнесува 1166деца..Во почетокот на оваа учебна година опфатени се вкупно **1156**деца.

Според возраста а во согласност со чл.64 од Законот за заштита на децата, и согласно со условите за работа, расположив кадар за работа во воспитните групи, децата во објектите на детската градинка се распоредени во следните возрасни групи:

| Објект | Најрана предучилишна возраст<br>Деца до 2 год.возраст<br>Групи-деца | Постара предучилишнавозраст<br>Деца над 2 до 6 год.возраст<br>Групи - деца | Проекти<br>Групи-деца | Вкупно<br>Групи- деца |
|---|---|---|---|---|
| Сонце | 1* - 21 | 8- 189 | | 9 - 210 |
| Синоличка | 1* - 21 | 4- 91 | 1 - 22 | 6 - 134 |
| Искра | 1* - 18 | 4 - 118 | | 5 - 136 |
| Детелинка | 1* - 15 | 8 - 187 | | 9 - 202 |
| Пони | 1* - 29 | 8 - 203 | | 9 - 232 |
| Морковче | 1* - 19 | 4 - 102 | | 5 - 121 |
| Пеперутка | 1* - 16 | 4 - 105 | | 5 - 121 |
| Вкупно: | 7* - 139 | 40 - 995 | 1 -22 | **48 - 1156** |

Во текот на месец Септември во објектот Искра има обезбедено место за уште 20 деца од проектот ,, ***Инклузија на децата од ромската популација во редовните групи во детските градинки***" во која веке престојуваат 20 деца.

Легенда:

*- хетерогена група (деца од 0 до 2 год. возраст)

**-хетерогена група (деца над 2 до 6 год.)

***- Проект Мозаик- билингвална :македонско-албанска група.

Поради голем интерес за запишување на деца во сите објекти и возрасни групи, Детската градинка има оформено Апликативна листа на чекање за прием на нови деца. Со почетокот на месец Септември- 2023 год. ќеостанат непримени **166** барања-апликации од родители која бројка и не е конечна со оглед на тоа дека секојдневно пристигнуваат барања од заинтересирани родители за престој на нивните деца во некој од нашите објекти.

Комисијата за прием на деца во текот на годината , секоја последна недела во месецот врши прием на деца до колку има отпишување на деца во некој објект, односно се создадени услови за прием на деца .

Состојбата по објектите е следна:

| Р.б. | Објект | Капацитет | Вкупно запишани деца | Не решени барања |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СОНЦЕ | 280 | 210 | 35 |
| 2 | СИНОЛИЧКА | 140 | 134 | 19 |
| 3 | ИСКРА | 150 | 136 | 28 |
| 4 | ДЕТЕЛИНКА | 180 | 202 | 29 |
| 5 | ПОНИ | 180 | 232 | 32 |
| 6 | МОРКОВЧЕ | 100 | 121 | 10 |
| 7 | ПЕПЕРУТКА | 136 | 121 | 13 |
| | ВКУПНО | 1166 | 1156 | 166 |

## V. ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ , СТРУЧНИТЕ И ДРУГИ РАБОТНИЦИ

### 1.ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

| Содржина на работата | Ориентац.време за реализација | Соработник |
|---|---|---|
| Технички подготовки за отпочнување на новата учебна година | Август | Одговорни воспитувачи, Воспитувачи |
| Формирање воспитни групи, напатствија за прием на нови деца | Август/Септември | Одговорни воспитувачи |
| Распоредување на воспитно-згрижувачкиот кадар по објекти и восп.групи | Август/Септември | Одговорни воспитувачи |
| Упатство за подготовки загодишниот,месечниот и дневниот план за работа на воспитувачите | Септември | Актив на воспитувачи |
| Изготвување Годишна програма за работа за учебната 2023/2024 г. | Септември | Воспитувачи |
| Соработка со родители преку учество во планирањето на соработката и вклучување на родителите во органот на управување | Континуирано | |
| Подготовки и учество на седница на Советот на воспитувачи и негователки | Септември | |
| Вкучување во реализација на проектите кои ќе се реализираат во учебна 2023/2024 г. | Континуирано | Воспитувачи |
| Учество во изготвување Листа за јадење за децата во градинката | Септември, континуирано | Комисија за исхрана |
| Консултации и насоки за групни родителски состаноци | Септември | Одговорни воспитувачи |
| Учество на седници на комисии и Советот на Општината | Перманентно | |
| Подготовка и учество на седница на Управен одбор во градинката | Септември | Советник-секретар |

| | | |
|---|---|---|
| Учество во реализацијата на предвидените проекти што ќе се реализираат во текот на целата година | Континуирано | Воспитувачи |
| Насоки и следење на здравствената работа со децата | Перманентно | |
| Практично согледување на резултатите од реализираните активности со децата од сите области | Континуирано | |
| Стручно педагошко- психолошко усовршување на кадарот преку учество на стручни средби, советувања и семинари и обезбедување стручна литература | Континуирано | Надворешни стручни соработници, професори од одделни факултети и сл. |
| Континуитет во активностите за санација на одделни делови на објектите во насока на нивно што подобро одржување и оспособување за добра и квалитетна работа | Континуирано | Советник секретар<br>Виш соработник сметководител |
| Реализација на планирани активности од Еко-програмата | континуирано | еко-одборот |
| Насоки за одбележување на Детската недела | Септември/ Октомври | Одговорни воспитувачи, воспитувачи |
| Учество во подготовки и реализација на планирани активности кои ќе се реализираат во сите објекти | Континуирано | Воспитувачи |
| Прегледување на педагошката и здравствената администрација | Октомври | |
| Посета на групите и консултативни состаноци | Октомври | Одговорни воспитувачи |
| Учество во подготовки за одбележување на | Октомври | Одговорни |

| | | |
|---|---|---|
| прослави и празници | | воспитувачи |
| Анализи за набавка на опрема за занимални | Октомври | Стр.совет, сметководител |
| Подготовка на материјали и учество на седница на Управен одбор | Ноември | Советник-секретар |
| Прегледување на педаг.администтр.и евиденција | Декември | |
| Учество во подготовките за одбележување на Нова Година | Декември | Одговорни воспитувачи |
| Анализа на воспитно-образовна работа во првото полугодие | Јануари | Одговорни воспитувачи |
| Анализа на згрижувачко-здравствената работа со децата во прво полугодие | Јануари | |
| Изработка на план за јавни набавки за 2024 година | Јануари | Стр.совет, советник-секретар |
| Подготовка и учество во работа на Управен одбор | Февруари | Советник-секретар |
| Прегледување на педагошка и здравствена администрација | Март | |
| Посета на групите и консултативни состаноци | Март | Воспитувачи |
| Учество во подготовките за одбележување на празникот на градинката ,,22 ри Април- Ден на планетата Земја,, | Март/ Април | Воспитувачи |
| Подготовка на материјали и учество во работата на стручните активи | Април | |
| Постојана и континуирана взаемна соработка на установата со општина Гази Баба, МТСП, Биро за развој на образованието и други институции | Перманентно | |

| | | |
|---|---|---|
| Организирање соработка со други предучилишни установи | Перманентно | |
| Подготовки за учество на манифестации на ниво на Град | Април/Мај | Воспитувачи |
| Прегледување на педагошката и здравствената администација и евиденција | Мај | |
| Изготвување на План за користење годишни одмори на работниците | Мај | Одговорни воспитувачи<br>Советник - секретар |
| Посета на групите и насоки за работа | Мај | Одговорни воспитувачи |
| Состанок со стручните совети со заклучоци за остварениот Годишен план | Мај | Активи,<br>членови |
| Подготовка и учество на седница на Управен одбор во градинката | Јуни | Советник-секретар |
| Перманентна едукација на директорот заради комплексноста на работата и работните ангажмани | перманентно | |
| Насоки за работа во летниот период | Јуни | Одговорни воспитувачи |
| Изготвување Годишен извештај за работа во учебната 2023/2024 г. | Август/Септември | воспитувачи |

## 2.ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ

**ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА НЕ Е ВРАБОТЕНО АНГАЖИРАНО ЛИЦЕ НА РАБ.МЕСТО ПЕДАГОГ**

| Содржина на работата | Ориент. Време | Соработник |
|---|---|---|
| Работасо децата кај кои постојат пречки во развојот утврдени со наод и мислење од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа - Здравствен дом Скопје. | Континуирано | |
| Учество во формирањето на воспитни групи | Август | директор, |

## 3.ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГ

| | | |
|---|---|---|
| (поради спроведувањето на процесот на инклузија на децата со пречки во развојот) | | воспитувачи |
| Учествува во работата на Комисијата за прием на деца ; | Континуирано | Комисија за прием на деца |
| Изготвувањена програма за работа на дефектологот воГодишната програма за работа на детската градинка | Август | директор, воспитувачи |
| Учество во работата на стручните Совети | Континуирано | директор, воспитувачи |
| Изготвување на индивидуален план за работа со секое дете кое има пречки во развојот утврдени со наод и мислење од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа - Здравствен дом Скопје. | Континуирано | воспитувачи , стручни работници/ соработници |
| Дефектологот работи со детето во посебна просторија опремена со материјали кои го поттикнуваат развојот. Вежбите и активностите се преточени во игра, која за децата во овој период е најлесниот и најдобриот начин на комуникација. | Континуирано | |
| Посета на воспитните групи во текот на реализација на воспитно-образовната работа и консултативни состаноци | Континуирано | Воспитувачи |
| Соработка со стручни и научни организации и институции, планирање и реализација на соработка со истите преку предавања, едукации, семинари и други форми | Континуирано | Директор, Стручен совет |
| Едукативна и консултативна работа со родителите на децата со посебни потреби | Континуирано | Воспитувачи , стручни работници |
| Вкучување во акциони истражувања со кои се внесуваат иновации во условите, содржините и начините на остварување на програмските задачи и активности | Континуирано | Директор |
| Дава подршка и насоки на воспитувачите и негователите кои во групите имаат деца со посебни потреби | Континуирано | воспитувачи , стручни работници/ соработници |
| Учество во стручни средби, семинари, размена на искуства во установата и пошироко | Континуирано | директор, воспитувачи , стручни работници/ соработници |
| Следење на адаптацијата и социјализацијата на децата со посебни потреби во објектите | Континуирано | воспитувачи , стручни работници/ |

| | | |
|---|---|---|
| | | соработници |
| Завршни состаноци со Советите | Јуни | директор, |
| Учество во изготвувањето на Годишниот извештај за работа | Август | директор, воспитувачи , стручни работници/ соработници |

## 4.ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТАНА МУЗИЧКИОТ СОРАБОТНИК

Музичкото воспитание има големо влијание врз развитокот на детската личност, како што се развитокот на музичките способности, естетските чувства, способности за развивање и доживување на музиката, поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, музичкото изразување, стекнување култура на однесување, подготвување за активно вклучување во музичкиот живот во општествената средина. Главните цели на музичкото образование во воспитно- образовната работа со децата од предучилишна возраст се :

- Со применување на различни содржини и форми за работа, системско развивање на музичките способности, естетски однос кон музиката,
- Преку музиката внесување на ведра атмосфера, радост, и расположение кај децата

Задачи на музичкото воспитание:

- Да се побуди интересот кај децата за музиката
- Да се развива желба за слушање музика, пеење песни, пеење и движење, свирење на детски музички инструменти
- Да се оспособат децата за групно и индивидуално пеење
- Да се развива спосособност за мелодија, чувство за ритам и динамика
- Да се поттикнат децата за слободни креирања и движења во зависност од текстот и музиката
- Да се развива музички слух и помнење
- Да се развива љубов и умеење за свирење на детски музички инструменти.

Во текот на годината стручниот соработник по музичко воспитание ќе учествува во работни групи, планирање и програмирање на годишните теми. Воедно ќе остварува индивидуална работа со згрижувачкиот и воспитниот кадар и децата во воспитната група, а посебно со талентирани деца. Своето стручно усовршување ќе го реализира во установата и надвор од неа на семинари, предавања и друго.

| **Месец** | **Активности** | **Соработка** |
|---|---|---|
| **Септември** | - Добренидојдовте другарчиња- создавање на атмосфера за новодојдените другарчиња<br>- слушање на химната на РС Македонија- децата го доживуваат свечениот карактер на песната<br>- Проект по музичко воспитување ,,Песнарка"- музичко подвижни игри<br>- Утврдување на нова песна | Стручни работници<br>Воспитувачи<br>негуватели |
| **Октомври** | - Повторување на детски песни за хигиена<br>- работа со деца од постара предучилишна возраст<br>- Детска недела<br>- Проект по музичко воспитание на тема ,,Четири годишни времиња" Антонио Вивалди - есен<br>- Обработка на песна за Есен | |
| **Ноември** | - Утврдување на песни за Есен<br>- Слушање на песни за мојот град<br>- Подготовка за есенска прослава и испраќање на есента<br>- Музичко подвижни игри | |
| **Декември** | - Проект по музичко воспитание ,,Во музичките длабочини"<br>- Слушање на музика ,,Четири годишни времиња" Антонио Вивалди - Зима<br>- Обработка на новогодишни песни<br>- Дедо Мраз во нашата градинка | |
| **Јануари** | - Зимски радости - песни за Зима<br>- Музичко подвижни игри ,,Снегулки,,<br>- Фолклорни игри и песни поврзани со нашата традиција и празници<br>- Повторување на песните за Зима | |

| | | |
|---|---|---|
| **Февруари** | - Слушање музика<br>- обработка на песни<br>- музичко подвижни игри<br>- Повторување на изучени песни | |
| **Март** | - Обработка на песни за мајката<br>- слушање на песни за Пролет<br>- Проект по музичко воспитание на тема: ,,Четири годишни времиња,, - Антонио Вивалди - Пролет<br>- Обработка на песни за Пролетта | |
| **Април** | - Априлијада<br>-Свирење на ударни инструменти<br>- утврдување на песни за Пролетта<br>- Музичко подвижни игри | |
| **Мај** | - Слушање на песни за Сообраќај<br>- Обработка на песни<br>- Утврдување на песни за Сообраќај<br>- Завршни приредби | |
| **Јуни** | - Проект по музичко воспитание на тема: ,,Четири годишни времиња,, Антонио Вивалди - Лето<br>- ,,Збогум градинке ,, - завршна приредба на децата од големата група<br>- Концепт за песни во летниот период<br>- Музика и движење | |
| **Јули** | - Слободни активности - слушање на музика, пеење на песни, музика и движење | |
| **Август** | - Слободни активности - слушање на музика, пеење на песни, музика и движење | |

## 5.ПЛАН ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ

**ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА НЕ Е ВРАБОТЕНО НИТУ АНГАЖИРАНО ЛИЦЕ НА РАБ.МЕСТО ЛОГОПЕД**

## 6.ПЛАН ЗА РАБОТА НА МЕДИЦИНСКО ЛИЦЕ

**ВОДЕТСКАТАГРАДИНКАНЕЕВРАБОТЕНОНИТУАНГАЖИРАНОЛИЦЕНАРАБ. МЕСТОМЕДИЦИНСКАСЕСТРА**

## 7.ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРОФЕСОРОТ ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

**ВОДЕТСКАТАГРАДИНКАНАПРОФЕСОРОТ ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ РАБОТНИОТ ОДНОС МУ Е ВО МИРУВАЊЕ**

# VI.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Соработката на Детската градинка со родителите и квалитетната комуникација на релација дете-воспитувач-родител е еден од основните фактори насочени кон обезбедување на правилен и оптимален развој и учење на детето.Оваа релација за да се активира и реализира потребно е следното:

- Поттикнување на родителите за нивно активно вклучување во подготовката и реализацијата на воспитно-образовниот процес;
- Советот на родители кој во соработка со градинката ќе овозможи донесување на важни одлуки и решенија за успешно обавување на воспитно-образовната работа;
- Присуство на родителите во процесот на адаптација на детето и организирање на работилници за разни поводи;
- Организирање на родителски средби, поединечни разговори со родителите и сл.
- Информирање на родителите (усно, писмено, огласна табла, информативни материјали, електронско информирање);
- Консултативни разговори со цел навремено реагирање и конструктивно
- решавање на проблемите поврзани со развојот на детето;
- учество на родителите во приредби, прослави, декорирање на просторот во градинката и сл.

-Вклучување на родителите во работилници за опремување на просторот за одгледување на градинарски култури за потребите за здрава и правилна исхрана исхрана на нивните деца.

- Вклучување на родителите во реализација на Еко-програмата .

Сите овие клучни сегменти преку нивната реализација ќе допринесат за решавање на многу прашања поврзани со детето а со тоа и можност родителот директно да влијае врз

воспитанието на неговото дете, неговиот развој и исполнувањето на неговите желби, интереси и потреби.

Отвореноста на детската градинка кон семејството е важна компонента во успешно реализирање на воспитно-образовната програма и самото функционирање на градинката. При планирањето и реализирањето на оваа соработка ќе бидат почитувани следните принципи:

- почитување на семејството како примарен и основен фактор во развојот на децата;
- почитување на психолошко-педагошките апсекти на одвојување на детето од семејството;
- почитување на потребата од усогласување на постапките кај сите воспитно-образовни фактори;
- почитување на современите воспитно-образовни тенденции во градинката;
- почитување на индивидуалноста на секое дете

За изворно информирање на родителите секоја прва среда во месецот еотворен ден за родителите.

## VII. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ, СПОРТСКИ, ЗДРАВСТВЕНИ, КУЛТУРНИ, НАУЧНИ И ДРУГИ УСТАНОВИ, ФОНДАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

За успешно реализирање на поголемиот број предвидени воспитно-образовни задачи неопходно е Детската градинка да соработува со други воспитно-образовни, спортски, здравствени,културни, научни и други установи. Сето ова има голема улога во подобрување на резултатите и постигнувањата на децата во целокупниот нивен развој.

Основна соработка Детската градинка остварува со:

* Општина Гази Баба – на сите нивоа

* Министерство за труд и социјална политика – Сектор за детска заштита.

## 1.Соработка со други воспитно- образовни установи

И оваа учебна година продолжува соработката со:

- Бирото за развој на образованието;
- Детските градинки во Градот и Републиката;
- Основните училишта на територијата на Општината;
- Филозофскиот факултет при Универзитетот Кирил и Методи- Скопје;
- Педагошкиот факултет во Скопје и Штип;
- Министерство за образование на РМ;

## 2.Педагошко-методска пракса на студенти

И оваа година детската градинка ќе им овозможи реализирање на педагошко-методска практика на студенти од соодветните студии на Педагошкиот факултет и Филозофскиот факултет. Околу дваесетина студенти ќе имаат можност да ја реализираат својата пракса во Детската градинка и со помош на воспитувач-ментор да ја реализираат наставната програма.

## 3.Соработка со спортски, здравствени и културни установи и здруженија

Ќе се реализираат активности и тоа:

- Соработка со Поликлиника „Ченто“ во делот на едукација на децата за орално здравје.

- Соработка со Советодавен центар на Општина Гази Баба и СОС Детско село, за зајакнење на семејството одн. превенција од напуштање на децата од биолошките семејства.

- Соработка со Детскиот културен центар „Карпош“

- Соработка со Сојузот за грижи и воспитание на децата на град Скопје;

- Соработка со Црвениот крст на град Скопје и Општина Гази Баба.

- Соработка со МТСП и РСБС со реализација на проекти поврзани со безбедноста на децата во сообраќајот и сообраќајна култура.

- Соработка со Музеи во Скопје: Музеј на современа уметност, Музеј на Град Скопје, Археолошки локалитет и Музеј на отворено „Тумба Маџари“

- Соработка со јавните медиуми.

- Педагошкиот факултет Св.„Климент Охридски“

- Театар за Деца и Младинци

# VIII. АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКА

Малите деца во првите години од животот имаат потреба од близок контакт со возрасна личност, квалитетна интеракција, соодветна јазична стимулација, потреба да истражуваат во безбедна околина. Исто така нив им се потребни, стабилни и лесно предвидливи постапки на возрасните, конзистентност во однесувањето на возрасните, личност во која имаат доверба, постојано поттикнување и подршка. Сето ова се остварува во рамките на предучилишниот престој на децата одн. го овозможува детската градинка. Во перидотот на адаптација на децата во новата средина се посветува големо внимание. Клучна е соработката меѓу воспитувачот одн. негователот и родителите на децата, меѓусебната комуникација при што се посветува внимание на пристапот кон детето, неговото вклучување во новата средина со цел во натамошниот престој детето да се чувствува како во домашна средина.

## 1. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

**Д**етската градинка преку јавната и културна дејност која ја остварува има за цел да придонесе за што поцелосно остварување на севкупните задачи на предучилишното воспитание и образование а особено за подобрување на воспитно-образовните резултати и збогатување на културниот живот на децата во градинката.

**О**ваа година културно-информативните активности ќе бидат насочени кон реализирање на повеќе манифестации кои се организираат.

**О**свен тоа во рамките на Детската градинка во текот на престојната година ќе се реализираат повеќе културно-забавни манифестации во кои главни актери ќе бидат децата и тоа:

1. Одбележување на Први септември - почеток на учебната година со дружење и приредби во сите објекти
2. Одбележување на 8-ми Септември - денот на независноста на Р.Македонија
3. Забавно-рекреативни игри под мотото „Движи се за здравје“- одбележување на Европската недела на движењето - во организација на ДКЦ
4. Одбележување на „Недела на детето“
5. Ден на учителот – 5-ти Октомври
6. Одбележување на 11-ти Октовмри и 23-ти Октомври
7. Одбележување на „Денот на Општина Гази Баба“
8. Светскиот ден на детето – 20-ти Ноември
9. Учество во манифестацијата „Го градиме нашиот град“ во организација на ДКЦ Карпош
10. Манифестација „Испраќање на Есента“
11. Дочек на Нова Година и Дедо Мраз
12. „Дојде Баба Марта“- правиме мартинки за среќа и ги подаруваме на блиските
13. Одбележување на 8-ми Март

14. Денот на екологијата – 21-ви Март- градење на свест за поздрав и подобар свет
15. Светски ден на водата – 22-ри Март
16. Априлијада
17. Светски ден на литературата за деца – 2-ри Април
18. Светски ден на здравјето – 7-ми Април
19. Ден на планетата Земја – 23-ти Април
20. Одбележување на Велигденските празници
21. Одбележување на Денот на Планетата Земја- Патрониот празник на градинката
22. Завршните приредби
23. Посета на најблиското училиште

**В**о рамките на Манифестациите посветени на децата кои се одржуваат секоја прва недела во месец Октомври и ќе трае од 02.10. до 06.10.2023 год. се одржуваат манифестации посветени на :

- светски ден на детето,
- детската недела и
- ден на детето

Изготвен е План- календар за активностите во нашите објекти и тоа:

| ден во неделата | планирана активност |
|---|---|
| Понеделник | Ако сум мало имам свое право да..... |
| Вторник | Ние сме мали уметници- „Правата на детето“ |
| Среда | Следење на театарска претстава |
| Четврток | Мини олимпијада |
| Петок | Прошетка или раеализирана посета согласно со интерниот проект во објектот |

Оваа година културно-информативните активности ќе бидат насочени кон реализирање на повеќе манифестации кои се организираат на ниво на Град.

Освен тоа во рамките на Детската градинка во текот на престојната година ќе се реализираат повеќе културно-забавни манифестации во кои главни актери ќе бидат децата и тоа:

И оваа година планираме да реализираме неколку часовна екскурзија до Забавниот парк,Зоолошката градина и Дино паркот, парк шумата Гази Баба и други културно-забавни места каде децата ќе имаат можност да се рекреираат и забавуваат .

Ќе продолжиме да работиме на зголемување на соработката со стручни соработници кои преку своите стручни предавање ќе придонесат за едукација како на вработените така и на родителите.

И оваа година под покровителство на Министерството за труд и социјална политика а во реализација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, ќе продолжи сообраќајно-воспитната кампања на тема „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“, и ќе бидат вклучени и децата од големите групи во нашата установа.

## 2.ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**П**окрај воспитно-образовната работа, основна задача на Детската градинка претставува систематската и сестрана грижа за здравјето и правилниот психофизички развој на децата.

За обезбедување елементарна здравствена заштита на децата ќе се спроведуваат секојдневни мерки:

- контрола на спроведувањето имунизација на децата;
- спроведување превентивни мерки во време на заразни болести;
- систематски прегледи на вработените( предавања, флаери, известувања, дезинфекција, одржување на хигиена);
- евиденција на заразните заболувања и обезбедување на епидемиолошки мерки;
- редовно мерење на децата;
- почитување на законските обврски за шестомесечно спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација во објектите;
- систематски и санитарни прегледи на вработените согласно законските прописи

- здравствено просветување на родителите и персоналот прекупредавања, советувања и популарна здравствена литература.
- грижа за правилна и квалитетна исхрана на децата.
- со оглед на новонастанатата ситуација во врска со Covid-19, во престојниот период ќе има засилена контрола и почитување наактуелните наведени протоколи изготвени од страна на надлежните институции

**О**сновна грижа на вработените ќе биде одржување на беспрекорна хигиена на просториите во кои престојуваат децата, предметите и играчките со кои доаѓаат децата во допир, водејќи при тоа сметка за редовна употреба на средствата за дезинфекција што секако обезбедува современа превентива.

**О**собено внимание се посветува на ново примените деца за кои родителите со лекарска белешка треба да ја потврдат добрата здравствена состојба за прием на деца во градинка.

**С**томатолошки зравствени прегледи на децата над четири годишна возраст во сите објекти ќе се извршат со почетокот на учебната година. Овие прегледи ќе ги спроведе Здравствениот дом- Скопје, Поликлиника Ченто.

**Ќ**е продолжи и понатака досегашната успешна соработка со Заводот за ментално здравје на град Скопје.

**Д**руг момент околу здравствената заштита претставува правилната исхрана на децата за што се води посебна грижа. Се води грижа за правилна и квалитетна исхрана на децата и застапеност на сезонските свежи производи . Разновидноста на подготвените оброци ,оптимална исхрана на децата со примена на биолошки вредни прехрамбени производи која исхрана ќе ги задоволи квантитативните и квалитативните потреби со цел хармоничен раст и развој на децата , претставуваат основна заложба на детската градинка. Листите за јадење за деца во градинката се менуваат и дополнуваат сезонски одн. за секоја годишна сезона се прави нова листа на јадења .За таа цел постои Комисија која работи на изготвување на листи за јадење.

Контрола во исхраната на децата во детската градинка врши Агенцијата за храна и ветеринарство преку надлежниот инспекторат.

Консултации и насоки спроведува Министерството за труд и социјална политика преку сектор задолжен за исхрана на децата во јавните детски установи со цел правилна примена на нормативите за исхрана и стандарди за исхрана и оброци на децата во детските градинки, како составен дел на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

## 3. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

**Т**ргнувајќи од законските прописи кои ги регулираат посебните права на граѓаните, Детската градинка води политика на соодветен начин да им помогне на родителите на кои им е неопходна соодветна помош. Со ослободување од плаќање надоместок за престој во оваа година се опфатени двајца родители на деца од кои:

-еден родител е ослободен од плаќање за едно дете, во согласност со Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили и нивните семејства.

-еден родител за престој на едно дете (самохран родител).

**И**сто така детската градинка за овие деца како и за мал дел на деца за кои постои сознание дека родителите се во тешка финансиска состојба води политика за ослободување од набавка на прирачници, бесплатна посета на: факултативни програми, театарски претстави и други културни манифестации.

18.2. Систематски прегледи 8
18.3. Вакцинирање 9
18.4. Едукација за здрава исхрана - оброк во училиштата 9
19. Училишна клима 10
19.1. Дисциплина 10
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 11
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 11
20.1. Активности за професионален развој 12
21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите 13
21.1 Вклученост на родителите/старателите во учењето, воннаставните активности
и работата на училиштето 13
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште 14
23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното
училиште 15
24. Евалуација на годишната програма за работа на училиштето 17
25. Заклучок 17

# ВОВЕД

Годишниот извештај претставува осврт на целокупната работа на училиштето преку информации за реализација на наставниот план и програма, напредокот на учениците и учеството во слободните ученички активности, работата на ученичките организации, стручните активи, соработка со родителите, локална заедница, МОН, БРО, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, како и за начинот на искористување на ресурсите со кои располага училиштето со цел да обезбедиме високи стандарди на настава и инклузивна средина за учење. Изминатата учебна година станавме уште покреативни и иновативни во примената на различни форми на настава, при тоа обезбедувајќи висок квалитет на образовни можности согласно потребите на нашите ученици истовремено фокусирани на идентификуваните приоритетни области.

Годишниот извештај за работата на училиштето се изготвува согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Законот за локалната заедница и истиот претставува рефлексија на нашиот напредок и развој како училиште.

Секоја година се водиме од нашата Годишна програма за работа и продолжуваме со нашата силна посветеност кон квалитетна настава и учење врз основа на педагошката пракса базирана на податоци и докази, усогласена со наставните планови и програми во Република Македонија.

Согласно законот за Основно образование:

- Директорот подготвува предлог на годишен извештај на училиштето;
- Наставничкот Совет го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа и предлага соодветни мерки;
- Советот на родители расправа за извештајот за работата на училиштето, дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- Училишниот Одбор предлага годишен извештај за работа на училиштето до советот на општината

## 1.Општи податоци за училиштето

ООУ „Стив Наумов“ - Скопје е сместено во источниот дел на град Скопје, во тн. индустриска зона на градот, во населбата Автокоманда, на ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 28, општина Гази Баба. Училиштето ги опфаќа учениците од урбаните заедници „Автокоманда“, „Керамидница“ и „Триангла“. Општинското основното училиште „Стив Наумов“ - Скопје, работи во еден објект.

Училиштето има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на ученици од I – IX одделение. Во училиштето се изведува продолжен престој за учениците од I до III одделение и дневен престој за учениците од I до V одделение (класична настава).

### 1.1 Табела со општи податоци

| **Адреса, општина, место** | **ул. „Лазар Поп Трајков“ бр.28 Гази Баба Скопје** |
|---|---|
| **Телефон** | 3174006 и 3173635 |
| **Факс** | 3173635 |
| **e-mail** | ou_stiv_naumov@yahoo.com |
| **Основано од** | Општина Гази Баба |
| **Верификација- број на актот** | 14-1205/1 |
| **Година на верификација** | 26.02.1986 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1948;1958 и 1968 година |
| **Тип на градба** | цврста градба |
| **Површина на објектот** | 5000 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 3500 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 500м2 |
| **Училиштето работи во смена** | две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | централно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 34+2 дневен престој=36 паралелки |
| **Број на смени** | смена и половина |

## 1.2 Органи на управување и стручни органи

### 1.2.1 Извештај за работата на Училишниот одбор

| | Членови на Училишен Одбор |
|---|---|
| 1. | **Шенај Исмаил Кутај** – претставник од Советот на родители /претседател на УО |
| 2. | **Слободанка Басотова**- претставник од редот на наставниците |
| 3. | **Мери Тодорова** - стручен соработник во училиштето |
| 4. | **Тоше Трајковски-**претставник од редот на наставниците |
| 5. | **Марија Вуксан Маринковиќ** - претставник од Советот на родители |
| 6. | **Јелена Обочки Апостолова** – претставник од Советот на родители |
| 7. | **Убавка Наумовска** – претставник од основачот |
| | **Во работата на Училишниот одбор учествуваат двајца ученици**<br>**Никола Василевски**<br>**Мила Јовановска** |

Согласно законските права и обврски Училишниот одбор во текот на учебната година ги имаше следните активности:
-Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето и донесување одлука;
-Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето;
-Одлука за формирање на еко одбор;
-Одлука за исплата на средства за изготвување и одржување на распоред на часови, касов лимит, средства за телефон за директор и секретар, патни трошоци за наставници и ученици за учество во натпревари и други настани;
-Изгласување пописна комисија и донесување одлука за отпочнување попис;
-Спроведување постапка за избор на директор;
-Донесување одлука за усвојување на предлог годишен финансов план;
-Донесување одлука за план за јавни набавки;
-Давање мислење до директорот на училиштето за прием на кандидати (наставници) за определено време;
-Донесување одлука за формирање стручен тим за подготовка на Програма за екскурзии и други слободни активности;
-Усвојување на извештаите за успехот и поведението на учениците

### 1.2.2 Извештај за работата на Наставничкиот совет

Во текот на учебната 2022/2023 година се одржаа повеќе седници на кои се разгледаа и решаваа повеќе прашања:
-Се разгледа и усвои Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2022/2023 год;
-Организација на воспитно-образовниот процес ( распределба на часови , одделенски раководства, организација на просторот во училиштето, распоред за дополнителна и додатна настава, дадени се мислења од менторите за наставниците –приправници кои го завршија приправничкиот стаж и назначени се ментори за работа со наставници-приправници );
-Се усвои програмата за изведување екскурзии;
-Разгледување и усвојување на измените и дополнувањата во Годишната програма за работа на училиштето;
-Разгледување, анализа и усвојување на куќниот ред и Кодексот на однесување во училиштето;
-Организација на активности по повод одбележување на Денот на училиштето;
-Континуирано се информираше Наставничкиот совет за планираните и реализираните активности во рамките на проектите:“ Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“ “Меѓуетничка интеграција во образовниот систем“ и др.
-Формирани се повеќе комисии ( за преглед во водење на педагошка евиденција и документација , за изведување екскурзии, пописна комисија, комисија за запишување деца во прво одделение, комисија за учебници, комисија за избор на првенец на генерација (2014-2023) ...;
-Назначување на ментори за приправници и давање мислења за поминат приправнички стаж;
-Разгледување и усвојување на полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето;
-Се разгледуваше извештајот и анализата за успехот и поведението на учениците на крај на секој класификационен период;
-Разгледување на споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците на крајот на учебните 2019/20г., 2020/21г. и 2021/22г.
-Се разгледа анализата на трендот на постигања на учениците при премин од одделенска во предметна настава;
-Беше разгледана анализата и извештајот од посетените часови и евалуацијата на дневните подготовки со констатации и дадени насоки;

### 1.2.3 Извештај за работата на Одделенските совети

Во текот на учебната 2022/2023 година се одржаа повеќе седници на кои се разгледаа и решаваа повеќе прашања:
-Избор на учебници според укажувањата на МОН;
-Уредување на просторот во училиштето;
-Изготвување програми за дополнителна, додатна настава и воннаставни активности;
-Изготвување распоред за одржување часови за дополнителна и додатна настава ( предметна настава);
-Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците;
-Реализација на наставните содржини по предмети;
-Водење педагошка евиденција и документација;
-Надминување на проблемите на учениците со адаптација, потешкотии во учењето;
-Унапредување на соработката со родителите;

### 1.2.4 Извештај за работата на Советот на родители

| Совет на родители | |
|---|---|
| Марија Караѓозова-Претседател на Советот на родители | |
| Име и презиме на родителот/член | Паралелка |
| Благица Манчевска | Ia |
| Вероника Стојановска Ангеловски | Iб |
| Верица Илиевска | Iв |
| Даниела Гапковска | Iг |
| Елена Мисајловска | IIa |
| Видосава Тасевска | IIб |
| Јордан Чепреганов | IIв |
| Александар Крстевски | IIг |
| Катерина Радевска | IIIa |
| Јелена Богоева | IIIб |
| Костадинка Генадик | IIIв |
| Марија Јованова | IVa |
| Предраг Христовски | IVб |
| Елена Коцева Шурлиновска | IVв |
| Марија Андровска | IVг |
| Олга Губериниќ Va | Va |
| Ирена Жбајнова | Vб |
| Антоанета Димовска | Vв |
| Мирослав Блажевски | Vг |
| Шенај Исмаил Кутај | VIa |
| Марија Вуксан Маринковиќ | VIб |
| Марија Петковска | VIв |
| Ѓорѓи Поп - Кочев | VIг |
| Ивана Гудумановски | VIIa |
| Јелена Обочки Апостолова | VIIб |
| Ели Бојаровска | VIIв |
| Марија Караѓозова | VIIг |
| Даринка Петковска | VIIIa |
| Тодор Бузалковски | VIIIб |
| Тони Лековски | VIIIв |
| Јасмина Трпчевска | IXa |
| Габриела Давиткова Чобанов | IXб |
| Славица Пипонска Георгиевска | IXв |
| Марјан Неделковски | IXг |

Во учебната 2022/23год.Советот на родители одржа седници со следниве активности:
-Запознавање со годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22год.;
-Запознавање со годишната програма за работа на училиштето za 2021/22год.;
-Запознавање и усвојување на годишната програма за работа на Советот на родители за учебната 2022/23год.;
-Запознавање со новите членови на Советот на родители;
-Избор на членови-претставници во УО;

-Извештај од страна на директорот за успехот и поведението на учениците на крајот на секој класификационене период;
-Избор на членови за комисиите кој ќе избираат агенција за осигурување, за организација на екскурзии, како и комисија за надзор на квалитет на храната;

### 1.3 Извештај за работата на стручните активи

#### 1.3.1 Одделенска настава

Во текот на учебната 2022/2023 год.Стручниот актив на одделенска настава одржа состаноци кои се записнички евидентирани .Според предвидената програма тековно се одржаа наглени часови и стручни предавања,состаноци на кои беа проследени сите информации,новини,укажувања барања, напатствија, насоки од МОН и БРО.

На ден 28.06.2022 година се одржа состанок на стучниот актив на одделенска настава,со следниот дневен ред
-Изготвување на програма за работа на Стручниот актив на одделенска настава за учебната 2022-2023 год.
-Избор на приоритети за учебната 2022-2023 год.
-Тековни прашања
На ден 07.09.2022 год., се одража состанок на Стручен актив на одделенска настава со следниот дневен ред.
-Давање насоки за планирање на реализација на наставата и водење на педагошка документација според новата Концепција за деветгодишно образование и Законот за основно образование
-Тековни прашања.
На ден 30.11.2022 год. се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во II б одделение.
- Примена на техника „Жешко столче“ и лесен пристап во разрешување конфликти со посебен осврт кон запазување на правата на децата
- Примена на поширени сознанија за техники и вештини во разрешување конфликти, почитување на индивидуалноста и правата на децата
На ден 17.01.2023 год.се одржа обука во рамките на програмата на стручниот актив,од страна на стручните соработници на тема „ Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата“
-Развивање компетенции кај наставниците за преознавање, превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување
Создавање на безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување во училиштето
- Зајакнати компетенции кај наставниците за препознавање на сите форми насилство и дискриминација и справување со истите.
- Непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето каде сите се чувствуваат безбедно, сигурно и прифатено.
На ден 27.02.2023 год. се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во I б одделение.
- Развивање на сложени вештини за повисоко ниво на размислување (когнитивни и социјални вештини) при решавање на рутински и нерутински проблемски ситуации
- Имплементација на рунда на дискусија како форма на учење.Модерирање и структурирање на дискусијата при решавање проблемски ситуации со учениците
На ден 17.03.2023 год. се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во III б одделение.

- Демократско партиципирање на учениците во процесот на формативно оценување и самооценување при утврдување на знаењата
- Активно вклучување на учениците во наставните активности и согледување на важноста од демократско партиципирање на учениците во воспитно образовниот процес

На ден 20.04.2023год. се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во I а и во I б одделение.

- Практична примена креативни вештини и техники преку едноставни ученички активности со рециклирачки материјали и развивање на основите на еколошка свест кај учениците за околината
- Проширени и збогатени идеи за креативно изразување и вештини за практична примена на рециклирачки материјали во естетското уредување на училиштето

На ден 31.05.2023год. се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во III одделение.

- Придобивки од имплементација на психомоторни вештини координација,агилност и рамнотежа
- Примена на основите на човековото движење и усовршување на локомоторното движење

Одговорен наставник: Анета Младеновска

### 1.3.2 Општествено-јазична група предмети

Стручниот актив на општествено јазичната група предмети работеше и одржуваше состаноци согласно годишната програма на стручните активи за учебната 2022/2023 год. Главните цели во однос на кои е насочена работата на активот во оваа учебна година и во однос на кои се одржаа практични часови, стручни предавања, работилници, презентации во текот на учебната година се креирање ненасилна училишна култура, подобрување на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето,како и критичко размислување и оценување на учениците.Програмата на активот во учебната 2022-2023 година е реализирана во целост. Реализирани се содржини кои ги одржаа предметните наставници и стручните соработници во заедничка соработка.

- На 21 јуни 2022 год. се одржа состанок за избор на претседател на активот. Во учебната 2022-2023 година претседател на активот е Јосиф Шапкалиевски предметен наставник по англиски јазик
- На состанокот што се одржа на 16.08.2022 година членовите на активот на општествено- јазичната група предмети ја изготвија програмата за работа на активот за учебната 2022-2023 година.

-Предлог програмата беше усвоена од сите членови на активот на состанокот што се одржа на 18.08.2022 година.

-На 05.09.2022 година се одржа состанок на кој членовите на општествено- јазичниот актив ги разгледаа наставните програми по соодветните предмети кои припаѓаат на активот. Се дискутираше за корелација меѓу наставните предмети,се разменуваа идеи во однос на критичкото размислување, оценувањето на учениците,примена на соодветни стратегии на учење со цел успешна реализација на воспитно-образовниот процес.

- На 15.11.2022 година се одржа практичен час по наставниот предмет музичко образование. Отворениот час го реализираше Благица Јованова- наставник по музичко образование. Наставна содржина - Согледување негативни последици од насилничко однесување. Часот беше реализиран во деветто одделение. На овој час се реализирани активности со критичко размислување преку потрага по длабока структура.

-На 26.12.2022 година Александар Каровски- предметен наставник по историја одржа отворен час „ Што е демократија?“ од Граѓанско Образование во осмо одделение. Во реализација на работилницата беа разменети на искуства за примена на техники за развивање вештини и ставови кај учениците за нивна демократска партиципација.

-На 17.01.2023 година се одржа предавање на тема - Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата од стручните соработници Биљана Василевска – педагог и Билјана Теовска - специјален едукатор и рехабилитатор. Предавањето беше насочено кон развивање компетенции кај наставниците за препознавање, превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување. Исто така создавање безбедно,сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите,констуктивна комуникација и следење на правила на однесување во училиштето.

- На 14.02.2023 година се одржа практичен час по наставниот предмет француски јазик. Отворениот час го реализираше Софија Петковска - наставник по француски јазик .Наставна содржина – Училница, предмети во училницата- обработка на лексика . Часот беше реализиран во шесто одделение со примена на инструменти за самооценување на учениците.

- На 27.03.2023 година Олга Добревска предметен наставник по македонски јазик одржа работилница “Спревување со насилно однесување” од Животни вештини во шесто одделение. Во реализација на работилницата беа применети техники со кои беа согледани негативните последици од насилничко однесување.

- На 27.04.2023 година се одржа стручно предавање: Демократски и недемократски општества од Александар Каровски – наставник по историја и граѓанско образование. Предавањето беше насочено кон примена на активности за поттикнување критичко размислување.

- На 30.05.2023 година се одржа практичен час по наставниот предмет физичко и здравствено образование. Отворениот час го реализираше Дарко Димитриевиќ– наставник по физичко и здравствено образование. Наставна содржина – Фер плеј и ненасилство во спортот .Часот беше реализиран во шесто одделение со примена на техники и активности кои ќе придонесат за развивање вештини и ставови кај учениците за почитување на правила за Фер плеј игра.

- На состанокот што се одржа на 16.06.2023 година членовите на активот на општествено- јазичната група предмети го изготвија годишниот текстуален извештај од работата на стручниот актив за учебната 2022-2023 година врз основа на анализата на реализираните активности од работата на стручниот актив.

**Одговорен наставник: Јосиф Шапкалиевски**

### 1.3.3 Природно-математичка група предмети

Стручниот актив на природно - математичката група предмети работеше и одржуваше состаноци согласно годишната програма на стручните активи за учебната 2022/2023 год. Главните цели во однос на кои е насочена работата на активот во оваа учебна година и во однос на кои се одржаа практични часови, стручни предавања, работилници, презентации во текот на учебната година се креирање ненасилна училишна култура, подобрување на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето,како и критичко размислување и оценување на учениците.

Програмата на активот во учебната 2022-2023 година е реализирана во целост. Реализирани се содржини кои ги одржаа предметните наставници и стручните соработници во заедничка соработка.

- На 21 јуни 2022 год. се одржа состанок за избор на претседател на активот. Во учебната 2022-2023 година претседател на активот е Лилјана Трајкова предметен наставник по хемија и природни науки.
- На состанокот што се одржа на 16 08 2022 година членовите на активот на природно-математичката група предмети ја изготвија програмата за работа на активот за учебната 2022-2023 година.

-Предлог програмата беше усвоена од сите членови на активот на состанокот што се одржа на 18.08.2022 година.

-На 05.09.2022 година се одржа состанок на кој членовите на природно- математичкиот актив ги разгледаа наставните програми по соодветните предмети кои припаѓаат на активот. Се дискутираше за корелација меѓу наставните предмети,се разменуваа идеи во однос на критичкото размислување, оценувањето на учениците,примена на соодветни стратегии на учење со цел успешна реализација на воспитно-образовниот процес.

- На 15.11.2022 година се одржа практичен час по наставниот предмет хемија. Отворениот час го реализираше Лилјана Трајкова - наставник по хемија.Наставна содржина - Објаснување за влијанието на концентрацијата врз брзината на хемиската реакција. Часот беше реализиран во деветто одделение.На овој час се реализирани активности со критичко размислување преку потрага по длабока структура.

-На 21.11.2022 година Билјана Ристовска предметен наставник по физика одржа работилница „ Пасивно.агресивно или манипулативно“ од Животни вештини во осмо одделение. Во реализација на работилницата беа применети вештини за детектирање различни видови однесувања кај учениците,како и различни техники во разрешување и справување со конфликти.

-На 17.01.2023 година се одржа предавање на тема - Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата од стручните соработници Биљана Василевска – педагог и Билјана Теовска - специјален едукатор и рехабилитатор. Предавањето беше насочено кон развивање компетенции кај наставниците за препознавање, превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување. Исто така создавање безбедно,сигурно и заштитено опкружување,

почитување на различностите,конструктивна комуникација и следење на правила на однесување во училиштето.

- На 14.02.2023 година се одржа практичен час по наставниот предмет математика. Отворениот час го реализираше Даниела Моневска - наставник по математика.Наставна содржина - Запознавање со основата на декадниот броен систем и неговиот развој . Часот беше реализиран во шесто одделение со примена на стратегии за поттикнување критичко размислување.

- На 20.03.2023 година Владанка Михајловска предметен наставник по информатика одржа работилница „ Исмеаната Леа“ од Животни вештини во шесто одделение. Во реализација на работилницата беа применети техники со кои беа согледани негативните последици од насилничко однесување.

- На 27.04.2023 година се одржа стручно предавање: Моделот како методолошка рамка за водење ученички проекти од Даниела Димишковска – наставник по математика. Предавањето беше насочено кон примена на заедничка рамка при водењето на заеднички ученички проекти креирани со демократска партиципација на учениците.

- На 30.05.2023 година се одржа практичен час по наставниот предмет географија. Отворениот час го реализираше Марина Грамова – наставник по географија. Наставна содржина - Раси, култури и религии.Часот беше реализиран во шесто одделение со примена на активности кои придонесуваат за демократска партиципација на учениците.

- На состанокот што се одржа на 16.06.2023 година членовите на активот на природно-математичката група предмети го изготвија годишниот текстуален извештај од работата на стручниот актив за учебната 2022-2023 година врз основа на анализата на реализираните активности од работата на стручниот актив.

**Одговорен наставник: Лилјана Трајкова**

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

**Мапа на основното училиште**




### 2.2. Податоци за училишниот простор, опрема и наставни средства

Училишната зграда располага со функционални и други просторни услови за изведување на воспитно функционална дејност во училиштето

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на катови** | 3 |
| **Училишен двор** | 1 |
| **Бруто површина** | **8500м2** |
| **Нето површина** | **5000м2** |
| **Спортска сала** | **1** |
| **Број на спортски терени-надвор** | **2** |
| **Број на училници** | **38** |
| **Кабинети** | **6** |
| **Помошни простории** | **5** |
| **Канцеларии** | **7** |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Кујна** | 1 |
| **Трпезарија** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | **централно греење** |

| Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|
| Стручна литература | 865 |
| Лектирни изданија | 14 939 |
| Енциклопедии | 78 |
| Публикации | 650 |
| Сликовници | 518 |
| Речници | 14 |

## 3. Податоци за вработените и учениците во училиштето

### 3.1 Податоци за вработени

| Вкупно вработени во училиштето | 76 |
|---|---|
| Наставен кадар | 59 |
| Стручни соработници | 4 |
| Административни работници | 2 |
| Помошно технички кадар | 10 |
| | |

| Кадар | Вкупно | Етничка и родова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 76 | 6 | 69 | | 1 | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 59 | 5 | 54 | | | | | | | | | | |
| Број на вспитувачи | | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни сораб. | 4 | | 4 | | | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | | 2 | | | | | | | | | | |
| Помошно технички кадар | 10 | 1 | 8 | | 1 | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | | | | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори | | | | | | | | | | 1 | | | |

| Степен на бразование на вработените | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 6 |
| Високо образование | 55 |
| Виша стручна спрема | 4 |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 3 |

| старосната структура на вработени | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 години | 2 |
| 31-40 години | 17 |
| 41-50 години | 30 |
| 51-60 години | 21 |
| 61-пензија | 6 |

### 3.2 Податоци за учениците

| одделение | м | ж | вкупно |
|---|---|---|---|
| Ia | 16 | 13 | 29 |
| Iб | 17 | 13 | 30 |
| Iв | 12 | 15 | 27 |
| Iг | 8 | 12 | 20 |
| Вкупно | **53** | **53** | **106** |
| IIa | 14 | 14 | 28 |
| IIб | 12 | 13 | 25 |
| IIв | 11 | 15 | 26 |
| | 6 | 4 | 10 |
| Вкупно | **43** | **46** | **89** |
| IIIa | 12 | 18 | 30 |
| IIIб | 11 | 18 | 29 |
| IIIв | 12 | 17 | 29 |
| Вкупно | **35** | **53** | **88** |
| IVa | 15 | 9 | 24 |
| IVб | 16 | 13 | 29 |
| IVв | 15 | 11 | 26 |
| IVг | 10 | 9 | 19 |
| Вкупно | **56** | **42** | **98** |
| Va | 10 | 11 | 21 |
| Vб | 9 | 11 | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Vв** | 14 | 13 | 27 |
| **Vг** | 9 | 5 | 14 |
| **Вкупно** | **42** | **40** | **82** |
| **Вкупноод I -V** | **229** | **234** | **463** |
| **VIа** | 11 | 14 | 25 |
| **VIб** | 11 | 12 | 23 |
| **VIв** | 13 | 11 | 24 |
| **VIг** | 12 | 7 | 19 |
| **Вкупно** | **47** | **44** | **91** |
| **VIIа** | 9 | 16 | 25 |
| **VIIб** | 12 | 11 | 23 |
| **VIIв** | 15 | 13 | 28 |
| **12** | 12 | 11 | 23 |
| **Вкупно** | **48** | **51** | **99** |
| **VIIIа** | 16 | 14 | 30 |
| **VIIIб** | 13 | 12 | 25 |
| **VIIIв** | 10 | 15 | 25 |
| **Вкупно** | **39** | **41** | **80** |
| **IXа** | 12 | 11 | 23 |
| **IXб** | 10 | 12 | 22 |
| **IXв** | 9 | 13 | 22 |
| **IXг** | 14 | 10 | 24 |
| **Вкупно** | **45** | **46** | **91** |
| **Вкупно VI -IX** | **179** | **182** | **361** |
| **I-IX** | **408** | **416** | **824** |

### 3.3 Извештаи за работата на директорот и стручните соработници

#### 3.3.1 Извештај за работата на директорот

Директорот на училиштето има утврдени задачи со Законот за основно образование, подзаконски акти, статутот и другите општи акти во училиштето. Извештајот за работа на директорот во основното училиште освен вообичаените задачи кои произлегуваат од сите сфери на непосредниот воспитнообразовен процес, опфаќа и голем број работи кои произлегуваат од динамиката на воспитно образовниот процес и се појавуваат секоја учебна година.
Основна задача на директорот е одговорност за законското работење на цело училиште.
Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на директорот, од предвидените активности, реализирани се следните активности :

-Изготвување на годишна програма за работа на училиштето во соработка со стручните соработници и наставниот кадар во училиштето

- Подготовки за новата учебна година
- Планирање и организација за почеток на нова учебна година
- Распределување на наставни предмети, претседатели на стручни активи, одговорни наставници на ученички организации и други стручни подрачја
- Изготвување распоред за часови, слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава
- Одредување дежурства на наставниците и целиот персонал

- Изготвување на програма за работа на директорот
- Контрола и анализа на педагошката документација
- Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето
- Увид во ЛППР на наставниците
- Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето, особено организирање на програма за прием на првачиња
- Организација и прием на првачињата во Детската организација
- Изработка и користење инструменти за следење на наставата
- Следење наставни часови и давање повратни информации
- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми
- Следење на работата на наставниците и другите вработени. Работата на наставниците: наставни планови и програми, наставните часови, работата на стручни активи, јавна и културна дејност, професионално усовршување на наставниците , следење на приправници, континуирано следење на пополнување на е- дневникот, одделенскиот дневник, посета на часови,. Следење на работата на технички персонал. Следење на работата на психолог, педагог, библиотекарот и дефектологот, увид во работата на целокупната работа на училиштето, следење на работата на секретарот, сметководителот
- Редовно свикување на одделенски и наставнички совет, планирање и водење на истите
- Тековно на Одделенските и Наставничките совети се разгледуваше успехот и поведението на учениците, при што секој одделенски раководител го презентира успехот и поведението за секоја паралелка. Податоците изнесени пред Советот се однесуваат на број на изостаноци, среден успех на паралелката, број на осипани ученици, неоценети ученици, испишани ученици, ученици предложени за изречување на педагошка мерка, пофалени ученици, ученици кои направиле материјална штета, ученици кои имаат напредок во дисциплината
- Согласно процедурата, се изрекувааа педагошки мерки на учениците кои нередовно ја посетуваа наставата, како и оние ученици кои несоодветно се однесуваа за време на наставата кон другите ученици и наставници, односно ученици со забелешки. Се донесуваа одлуки за испишување на оние ученици кои согласно законот за основно образование со навршени шестнаесет години им престанува обврската за редовно основно образование.
- На средбите беа споделувани тековни информации добиени од релевантни институции, како МОН, ДПИ, локалната заедница и сл. како и од овластени провајдери за следење на обуки на наставниците.
- На наставниците им беа дадени известувања за ужина и топол оброк, за обезбедување и осигурување на учениците, приемен ден за родители,советување на родители,а изнесени беа и разни предлози и забелешки дадени од страна на родителите од одржаните родителски средби. Создавање услови и подршка за работата на ученичкиот парламент
- Донесувни се одлуки за давање на позитивно мислење од страна на менторите за приравничкиот стаж. На наставничките совети формирани беа и комисии за попис, комисии за прегледување на дневници, главни книги и свидетелства.

- Користење и поттикнување на вработените за користење на платформата за образование од далечина во наставата во секојдневната работа, како и во меѓусебна комуникација и во комуникација со родителите
- Обезбедување услови за грижа за здравјето на вработените при што е реализиран систематски и санитарен преглед за сите вработени
- Обезбедување услови и учество во проекти, активности и вебинари Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет
- Навремено исполнување на финансиските обврски
- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот
- Обезбедување услови и ресурси за работа согласно новата Концепција за основно образование за непречено отпочнување на новата учебна година Во рамки на Проектот за унапредување на основното образование се реализира активноста за набавка на кабинетска опрема и нагледни средства за кабинетите во кои ќе се одвива наставата по соодветните предмети од групата на природни науки во соработка со МОН
- Континуирана соработка со општина Гази Баба, со градоначалник на Општина Гази Баба, со основните училишта на ниво на општината, училиштето – ресурсен центар „Иднина“ со Секторот за образование на Општина Гази Баба, сектор за јавни набавки, за урбанизам, за финансии, МОН, БРО ДИЦ, ДПИ, полиција
- Сопствено професионално усовршување преку посета на семинари, обуки и работни средби и други активности организирани од овластени провајдери.

Директор: Елизабета Јовановска

### 3.3.2 Извештај за работата на педагогот

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот , од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

**1. Работа со ученици**

- Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста
- Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост
- Давање помош и поддршка за вклучување на учениците во учество во проекти и активности
- Поддршка и учество во спроведување на ученички иницијативи(ученичка иницијатива за поттикнување ненасилна комуникација, иницијатива за поддршка на ученици од социјално загрозени семејства, иницијатива за естетско уредување на училиштето со еко изработки, иницијатва „Патека на хуманоста“ )
- Одржано предавање на тема: “Техники за успешно учење ” со учениците од шесто одделение
- Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на училишниот инклузивен тим
- Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања
- Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент

- Учество со членовите на ученичкиот парламент на фудбалки натпревар во организација на УНИЦЕФ во партнесрство со фудбалската федерација на Македонија. Под слоганот „Кога станува збор за детските права, сите сме исти“, беше одбележан светскиот ден на детето.
- Поддршка во работата на „Клубот за превенција“ во кој членуваат ученици од седмо и осмо одделение
- Организација и учество на ликовна работилница на тема „Шарен свет“ со ученици од пето и шесто во соработка со партнер училиштето ООУ„25 Мај“, како дел од активностите за меѓуетничка интеграција во образованието
- Поддршка во рааботата на Ученичкиот правобранител и неговите заменици
- Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
- Работа на професионална информација и ориентација на учениците
-Процена на подготвеноста на учениците за вклуцување во образовниот систем

**2. Работа со наставници**

- Помош и поддршка во изготвување на годишните , тематските и дневните планирања за работа на наставниците
- Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес
- Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценување на учениците
- Организирање и реализирање информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата
-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник- родител.
- Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања како член на инклузивниот тим
- Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење
- Соработка и поддршка на стручните активи во училиштето
- Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки, консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови
- Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент, во соработка со одговорните наставници
- Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети на крај на секој класификационен период
- Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење стручна литература
- Помош и поддршка на наставниците во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој
- Поддршка на наставниците при изготвување на личен план за професионален развој
-Одржана обука на тема: „Превенција и интервенција при насилство, дискриминација,злоупотреба и занемарување во училиштата“
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација
-Соработка со наставниците при реализација на активности во рамките на проекти кои се спроведуваат во училиштето
-Водење на професионално досие на наставниците

**3. Работа со родители**

- Информирање на родителите, членови на Училишниот одбор и Советот на родители за работата на училиштето
- Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
- Советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми
-Соработка со родителите при спроведување на активности во рамките на проектоте кои се реализираат во училиштето
- Присуство на состанок на Советот на родители , запознавање на родителите со реализираните активности за подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето.
-Соработка и поттикнување на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето

**4. Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на македонија СОС-Детско село Македонија,Советодавен центар за родители и деца Гази Баба, Институт за педагогија, детска градинка “Детска радост“, основни и средни училишта од општина ГазиБаба и град Скопје...)
-Соработка со УСАИД , присуство на конференција за развој на граѓанското образование и демократсата култура кај младите-„Грѓанско на дело:од училница во акција“ каде како училиште имавме можност да ги претставиме добрите примери од училишниот живот за тоа како се унапредува, доживува и практикува демократската клима во училиштето.
- Соработка со УСАИД , присуство на завршен настан на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.
- Соработка со СВР – Скопје , одделение за превенција , реализација на активности во рамките на проектот „Безбедност во училиштата “.
- Соработка со Државниот испитен центар при спробедување ТИМСС – меѓународна студија по математика и природна група предмети, во својство на училишен координатор
- Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој;
-Соработка со УКИМ Филозофски факултет-Институт за педагогија
-Учество во проекти,вебинари, работилници, трибини, конференции...
-Присуство на обука на тема: „Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма“ ,
-Учество на обука на тема: ,, „Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибер насилство и сл.“;
-Учество на вебинар на тема: „Стимулација на говор во рана возраст + Cboard “
-Учество на вебинар на тема: „Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF)“
- Учество на вебинар на тема: „Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта“

- Учество на вебинар на тема: „Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени“
-Учество на вебинар на тема:„Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“.
-Учество на вебинар на тема: „Вклучување на децата бегалци, мигранти,без државјанство и барателиа на азил во воспитно-образовниот процес“
- Учество на вебинар на тема:„Родителите и децата од дигиталната генерација“
- Учество на вебинар на тема: „Визуелни дезинформации и фотофорензика “
- Учество на вебинар на тема: „Говор на омраза во онлајн медиумите “
-Учество на вебинар на тема: „Претставување во медиумите – стереотипи и предрасуди “
-Учество на вебинар на тема: „Професионален развоја за јакнењебна компетенциите на наставниците- соработка помеѓу менторот и приправникот“
-Учество на мултипликативниот настан Е2: „Помошни алатки за наставниците со цел подигнување на инклузија во училиштата“ , организиран во рамките на Еразмус+ проектот „Инклузивна училница:МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекст“
- Присуство на конференција за развој на граѓанското образование и демократската култура кај младите - „Граѓанско на дело: од училница во акција”
-Присуство на завршен настан на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграцијана младите во образованието
- Присуство на обика на тема : „Спроведување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- Реализирана интерна обука на тема: „ Превенција и интервенција при насилство, дискриминација,злоупотреба и занемарување во училиштата“
- Ангажирана како Обучувач на тема: „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“ организирана од страна на БРО
- Ангажирана како истакнат стручњак од практиката за реализација на настава на Институтот за педагогија на прв циклус студии на студиската програма по Педагогија, по предметот Методика на воспитна работа.
- Ангажирана како претседател на стручна комисија за спроведување на приправнички испит на стручни соработници-педагози од основните и средните училишта
-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје “Современ педагог”
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на секој класификационен период.
-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава.
-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на првото полугодие за учебните 2019/20, 2020/21и 2022/23г.).

- Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2019/20, 2020/21и 2022/23г.).
- Истражување на тема:"Следење на ефектите од работилници за превенција и намалување на насилното однесување во училиштето".

- Анализа од проверка на совладаноста на почетното ракописно пишување кај учениците од второ одделение
- Изготвување извештаи по спроведени анкети за избор на втор странски јазик и изборен предмет
- Учество во изготвување на годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2022/23г.
-Учество во изготвување програма на училишниот инклузивен тим
-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии
-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето
-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците
-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа
-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет
-Учество во изработка на програма за професионален развој
-Учество во работа на проектот „Безбедност во училиштата".
-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар
-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)
-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците
-Формирање паралелки за прво одделение согласно одредени критериуми(за целодневна и класична настава)
-Запознавање на одделенските наставници од прво одделение со карактеристиките /сознанијата добиени од опсервацијата при упис на децата во прво одделение
-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности
-Учество во изготвување развојна програма за работата на училиштето
-Следење на постапките на оценување на учениците
-Следење на успехот и редовноста на учениците
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето

Педагог: м-р Василевска Биљана

### 3.3.3 Извештај за работата на психологот

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот , од предвидените содржини и активности за овој период во кој наставата се одвиваше со физичко присуство, реализирани се следните активности по подрачја:

**1.Работа со ученици**

-Советодавно педагошко - инструктивна работа со ранливите групи ученици со акцент на психо-социјална поддршка
(ученици со ниска самодоверба, со емоционални поштешкотии, како и со ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство);
-следење на нивното напредување по завршување на секој класификационен период;
-Индивидуално советување на учениците кои нередовно ја посетуваа наставата и несоодветно се однесуваа;
-Работа на заштита и превенција на менталното здравје на учениците во услови на пандемија во која се одвиваше наставата во текот на првото полугодие;
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница
-Советодавна работа со наставниците за откривање и работа со ученици со поголеми можности за напредување и развој и следење на нивните индивидуални постигања;
-Следење на постигањата, емоционалниот и социјалниот развој на учениците со посебни образовни потреби на крајот на класификационите периоди;
-Следење на прилагодувањето на учениците во прво и шесто одделение преку комуникација со одделенските и предметните наставници
-Работа со учениците од деветто одделение на нивна професионална информираност и ориентација преку споделување информативни материјали-флаери и презентации на струки и занимања од приватни и државни средни училишта од градот
-Работа со учениците на проектот “Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта”

**2.Соработка со наставници**

-Помош и поддршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските и дневни подготовки согласно скратените наставни програми дадени од БРО (помош при дефинирање на целите и исходите , консултација за примена на соодветни наставни форми и методи на часот, како и за примена на методите за формативно и сумативно оценување при следење и вреднување на знаењата на учениците);
-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки;
-Консултативно советодавни разговори со наставниците по одржување на наставните часови;
-Педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот,социјалниот и емоционалниот развој на учениците
-Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети
-Помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и спроведување на активности на одделенските часови од програмата “Образование за животни вештини“;
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Поддршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето;
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација;
-Презентација на Наставнички совет на Споредбената анализа на трендовите на постигања на учениците на крајот на учебните 2020/21, 2021/22г.и , 2022/23г)

**3.Соработка со родителите**

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето;
-Советување на родителите чии деца нередовно ја посетуваа наставата;
-Изготвување месечни и неделни планови за советување на родителите; (пополнување обрасци за работа, како и записници од советувањето);

**4.Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на Македонија, Институт за психологија, детска градинка "Детска радост", основни и средни училишта од општина Гази Баба и град Скопје...);
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;
-Соработка со Првата детска амбасада "Меѓаши"
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5.Професионален развој и професионална соработка**

-присуство на интерна обука "превенција и интервенција при насилство,дискриминацијазлоупотреба и занемарување во училиштето"
-присуство на работилница на Прва детска амбасада Меѓаши на тема:" Примена на рестоативниот пристап во училиште за разрешување конфликти"
-присуство на настан Помошни алатки за наставниците со цел подигнување на инклузија во училиштата
-учество во обука на тема:"Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство,кибернасилство и слично"
-присуство на обука на тема; "Род,родова еднаквост и родово засновано насилство; Спречување и заштита од насилство во училиштата"
-Воспоставување редовна комуникакција и взаемна професионална поддршка со училишните психолози од основните училишта на град Скопје преку активно учество на состаноците
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
-Помош и поддршка на наставниците во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците;
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6.Аналитичко истражувачка работа**

-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на третото тримесечие и учебната година
-Изготвување извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава
-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2020/21, 2021/22г.и , 2022/23г)
-Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава

-Изготвување извештај од советувањето родители за потребите на Педагошката служба при МОН на крајот на првото полугодие

**7.Училишна структура, организација и клима**

-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2022/23год.;

-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии;

-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето;

-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците;

-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа;

-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на Одделенските и Наставничките совет

-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“;

-Следење и вреднување на наставниот процес(посета на часови);

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците;

-Формирање паралелки за прво одделение согласно одредени критериуми;

-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки;

-Следење на уписот на учениците во прва година средно образование;

-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава;

-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности;

-Следење на постапките на оценување на учениците;

-Следење на успехот и редовноста на учениците;

-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;

-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;

-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање случаи на дискриминација во училиштето;

**8.Сопствена евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;

-Изготвување месечни оперативни планови за работа;

-Водење хронолошки дневник за работа;

-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница;

-Водење педагошки картон за работата на наставниците;

-Водење професионално досие на наставниците;

-Евиденција(пополнување обрасци) од советување родители и ученици;

-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа;

-Изготвен полугодишен и годишен извештај за сопствената работа

Психолог: Александра Атанасовска Крстевска

### 3.3.4 Извештај за работата на дефектологот

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на дефектологот, од предвидените содржини и активности реализирани се следните:

**Подрачје:Работа со ученици**

**-** идентификација, превенција и корекција на специфичните пречки во развојот на учениците

- индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензо-моторното и социо-емоционалното функционирање

- континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби, евалуација и ревизија на индивидуален образовен план

-педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес

-следење на адаптацијата на учениците од прво и шесто одделение

-следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети и пол

-учество во организација и реализација на низа работилници за ученици, наставници и родители во рамки на проектот: „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“,

-учество во подготовки за Форум театар на тема „Врсничко насилство“ во рамки на Програмата за Мировно образование во соработка со ПДАС“Меѓаши“

-учество во организација и реализација на активност со ученици во амки на кампањата „Помислете и на нас“ по повод Неделата на борба против гладта

**Подрачје:Работа со наставници**

-јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот

-континуирана поддршка на наставниците и следење при примена на изготвените насоки и индивидуалните образовни планови од страна на наставниците

-помош и поддршка во изготвување на годишните и тематските програми за работа на наставниците

-помош на наставниците при изготвување Програми за индивидуална поддршка на учениците со потешкотии во учењето

-советодавно- консултативни средби со наставниците во врска со употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа

-ревидирање на целите и задачите предвидени со ИОП-от во соработка со наставниците и родителите (евалуација и ревизија на ИОП)

-давање инструкции при дефинирањето на воспитно-образовните цели, специфичните стратегии, методи, форми и техники на работа со учениците со ПОП

-учество во планирањето на неопходните методолошки адаптации при изведувањето на наставата за учениците со ПОП

-следење и поддршка на дидактичката подготвеност на наставниците т.е. кои методи и средства ги користи при работата со учениците со ПОП

-посета на часови со цел увид во степенот на социјализација и вклученост на учениците со ПОП во наставата

-советодавно-инструктивна работа со наставниците во однос на поддршка и помош при адаптирање на наставните содржини за настава на далечина

**Подрачје:Работа со родители**

-советодавна работа и поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот

-давање стручни совети и насоки за работа во домашни услови и насоки за работа во текот на зимскиот и летниот распуст

-информирање на родителите на учениците со ПОП за активностите на УИТ

-советодавно-инструктивна работа со родителите на учениците со ПОП во однос на поддршка и помош при адаптирање на наставните содржини за учење од дома

-поддршка и консултации со родителите на учениците со ПОП кои од оваа учебна година имаат лични/образовни асистенти во рамки на Програмата за лична/образовна асистенција

-информирање на родителите на учениците со ПОП за активностите на УИ-вклучување на родителите во работата на УИТ/ТИУ

-соработка со Советот на родители во активности за прибирање материјални средства за ученици кои потекнуваат од семејства под социјален ризик

-соработка со родителите при упатување на проценка според МКФ и барање на образовни асистенти

- Присуство на состанок на Советот на родители, презентација на реализираните активности/иницијативи со ученици за подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето.

**Подрачје:Соработка со заедница**

-соработка со МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија, Институт за јавно здравје

-соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“,поднесување барање за обезбедување лични/образовни асистенти за учениците со посебни образовни потреби и поддршка при отварање на Центар за поддршка за ученици со ПОП

**Подрачје:Професионален развој и професионална соработка**

-изготвување на личен план за професионален развој (септември)

-изготвување извештај за реализација на личниот план за професионален развој

-Присуство на обука на тема: „Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма“ ,

-Учество на обука на тема: ,, „Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибер насилство и сл.“;

-Учество на мултипликативниот настан Е2: „Помошни алатки за наставниците со цел подигнување на инклузија во училиштата“ , организиран во рамките на Еразмус+ проектот „Инклузивна училница:МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекст“

- Реализирана интерна обука на тема: „ Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата“

- Ангажирана како Обучувач на тема: „Инклузија“ организирана од страна на БРО

- Ангажирана како претседател на стручна комисија за спроведување на приправнички испит на стручни соработници-дефектолози од основните и средните училишта

**Подрачје:Аналитичко-истражувачка работа**

-изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди (за прво тримесечие и прво полугодие)

-учество во изготвување на полугодишниот извештај за работата на училиштето

- Истражување на тема:"Следење на ефектите од работилници за превенција и намалување на насилното однесување во училиштето".

-изготвување полугодишен и годишен извештај за сопствената работа

-изготвување извештај за работата на Инклузивниот тим на училиштето

-изготвување извештај за работата на ПЦК и Клубот за едукација и превенција

-изготвување извештај за работата на Училишниот Одбор

-изготвување извештаи од посетени обуки, предавања, презентации, проекти...

**Подрачје:Училишна структура, организација и клима**

-учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето,

-изготвување на годишна програма за сопствената работа

-изготвување месечни оперативни програми за сопствената работа со конкретизирани активност

-изготвување програма за работа на ПЦК во училиштето (одговорен)

-изготвување програма за работа на инклузивниот тим на училиштето (координатор)

-член на Комисија за запишување на деца во прво одделение за учебната 2023/24г.

-изготвување Програма за откривање и грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и семејства под социјален ризик (одговорен)

-изготвување на развојни програми за корективно-стимулативна работа со учениците кои имаат сензорни или психо-физички пречки

-учество во изготвување програми за: професионален развој на наставниците, план за развој на училиштето, програма за општествено хуманитарна работа, грижа за здравјето на учениците, програми за работа со надарени и деца со потешкотии...

-учество во изработка на брошура- информатор за родителите за работата на училиштето

-учество во спроведување активности за Самоевалуација на работата на училиштето -учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет

**Подрачје:Педагошка евиденција и документација**

-изготвување годишна програма и месечни-оперативни планови за работа

-водење на портфолио за учениците со ПОП

-евиденција за соработка со наставници и родители

-записници од состаноци на училишниот инклузивен тим

-евиденција на проекти и работа на ПЦК и Клубот за едукација и превенција

-водење професионално досие на стручен соработник

Дефектолог:Билјана Теовска

### 3.3.5 Извештај за работата на библиотекарот

Според предвидената програма за работа на библиотекарот за учебната 2022/2023 година, во текот на месец август и септември беа примени и евидентирани наручани учебници за сите ученици од 1 до 9 одделение и дел во текот на целата учебна година (имаше голем број сè уште непристигнати учебници) коишто се евидентирани во обрасци и листи на примени и вратени учебници (образец 2 за вратени учебници од учебна 2020/2021 год. и образец 1 за примени учебници за учебна 2022-2023 год.)

Во текот на првото полугодие се вршеше зачленување и евидентирање во библиотека на учениците и наставниците, со отварање и издавање на членски број на картон на читател, така што беше овозможено услужување, односно позајмување на задолжителни лектирни изданија, стручна литература од повеќе области, слободна литература по сопствен избор, потребни списанија, публикации, видео и DVD CD проекции, како и информации за најновите наслови на издавачките куќи, но и информации за одредени интернет адреси итн

Во однос на библиотекарската секција, оваа учебна година не беа изведени активности околу подготовка на ученици за учество на регионалниот натпревар „Млади библиотекари“ во организација на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје, секако поради заштитата од ширење на сè уште актуелниот вирус. Без разлика на тоа што оваа година не учествувавме на натпреварот, од страна на учениците постои голем интерес и иницијатива за понатамошна работа и соработка, што произлегува од интересната и разноликата програма на библиотекарската секција, особено во однос на материјалот и прирачникот за библиотекарството и негово совладување со цел усвојување на нови знаења од конкретната област и освојување на повисоки места на идните натпревари од областа на библиотекарството, со што библиотекарот – менторот, освен предвидените активности во рамките на библиотекарската секција, редовно ќе врши подготовки во однос на материјалот на заинтересираните ученици кои во иднина ќе земат учество на натпреварот „Млади библиотекари“.

Во месец октомври беа набавени книги за наградените ученици кои освоија места на училишниот литературен и ликовен конкурс кој беше организиран по повод патрониот празник на нашето училиште.

Училишниот библиотекар учествуваше и соработуваше на сите состаноци на актив на одделенска настава како и другите активи, на одделенските совети за одделенска настава, наставнички совети во училиштето каде што даваше информации околу новитетите на следењето на педагошко-дидактичка литература, известувања за ново донирани и набавени книги, прирачници и сл. Непосредно, секој ден, според постојните ситуации и потреби, соработуваше со наставниците и другите стручни соработници во училиштето за поуспешно организирање и одвивање на работата.

Во однос на отклонувањето на слабите страни на воспитно-образовниот процес во нашето училиште, библиотекарот беше определен за работа на училишното списание коешто претставуваше една од слабите страни, така што во текот на целата учебна година сите содржини кои се поставени на страните на училишното списание произлегоа од соработката помеѓу наставниците и учениците, поконкретно, на страните на списанието се наоѓаат содржини кои произлегуваат од спроведените училишни активности во текот на целата учебна година, при што истите содржини во списанието беа поставувани од страна на библиотекарот. Во иднина очекуваме ова издание да

даде поттик за соработка и на учениците, особено на оние кои членуваат во новинарската секција и ова списание да прерасне во уште поголем и позначаен проект каде што ќе се отвори простор за сите корисни информации. Училишното списание ќе биде поставено на веб страната на училиштето, а за понатаму е предвидено освен содржината, да биде подобрен и збогатен приказот на истото.

Во текот на целата учебна година, библиотекарот беше задолжен и со прегледување и лекторирање на содржините кои беа објавувани на училишната веб страна, а истите секако се однесуваат на работата и активностите кои се спроведуваат во текот на учебната година од страна на наставниците нивната соработка со учениците.

Во текот на месец февруари библиотеката се збогати со нови наслови од областа на белетристиката во вид на донација од приватни лица и наслови кои беа набавени со училишни средства.

Според предвидената програма за работа на библиотекарот за учебната 2022-2023 година, веќе во текот на месец април, по барање на МОН беа нарачани учебници за учениците од 1 до 9 одделение, а во однос на веќе нарачаните учебници од претходните години има голем број сè уште непристигнати учебници. Во текот на месец јуни беа вратени сите учебници од 4 до 9 одделение коишто се евидентирани во обрасци и листи на вратени учебници (образец 2 за вратени учебници за 2022/2023 г).

Во однос на систематските прегледи, вакцинациите и стоматолошките систематски прегледи, во текот на првото полугодие, библиотекарот континуирано соработуваше со докторите и стоматолозите од амбулантата „Автокоманда“ околу известувањата и навременото реализирање на предвидените систематски прегледи, вакцинации и стоматолошки систематски прегледи.

Согласно планот и програмата за имунизација, стоматолошки и систематски прегледи, беа преземени следните активности:

- Во сите први одделенија во текот на месец декември 2022 година се извршени систематски прегледи, а учениците со навршени шест (6) години се ревакцинирани и вакцинирани со MRP,DT и Polio;
- Во вторите и деветтите одделенија во месец декември е извршена вакцинација со DT и Polio;
- Во текот на месеците ноември и декември на редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби беа учениците од вторите и четвртите одделение.

Согласно законската обврска за вакцинирање, во текот на првото полугодие учениците кои не се вакцинирале на редовниот термин при сеистематски преглед, надлежните во соработка со библиотекарот ги повикуваа учениците да се вакцинираат во однапред определени термини, а истото се однесуваше и на оние ученици кои не биле на закажан редовен термин за стоматолошки систематски преглед и заленање заби.

Во текот на месец мај се направи нарачка и се набавија литературни лектирни наслови за учениците со континуиран одличен успех, поконкретно, учениците од деветтите одделенија.

Во однос на позајмувањето лектири, учениците континуирано позајмуваа и враќаа лектирни изданија, но слободна литература според возраста.

Библиотекар: Мери Тодорова

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Материјално финансиското работење во училиштето се спроведува согласно законот за Буџетите и буџетските корисници (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17).
Според Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од Упатството за начинот на трезорското работење (Сл.весник на РМ БР.219/18 ) училиштето води посебно сметководство за буџетските и посебно за сопствените приходи, според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања( уплат и исплати на тие средства).
Училиштето ги има следите жиро сметки- трезорски:
- 903 - Наменска - Сметка на основниот буџет
- 603 - Наменска - Сметка на буџет – општина
-787- Самофинансирачки дејности- сопствена сметка (основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор, а средствата се користат за подобрување на целокупните услови за работа и учење во училиштето).
Училиштето како единка корисник на буџетски средства за да може да биде финансирано и да може да работи материјално финансиски, изготви предлог Финансиски план, во чие изготвување земаат учество директорот на училиштето, сметководителот и стручните соработници. Предлог финансискиот план навреме е доставен, разгледан од Училишниот одбор на училиштето и е донесена Одлука за негово усвојување. По усвојувањето и донесувањето на Одлуката истиот е доставен до општина Гази Баба, каде се разгледува и одобрува на седница на Советот на општината.
На крајот од календарската година согласно законската регулатива се спроведува попис на целокупниот инвентар и се изготвува извештај и завршна сметка. Училишниот одбор ја изгласува пописната комисија и донесува одлука за отпочнување попис. Извештајот за пописот на целокупниот инвентар за 2022 година е усвоен на 08.02.2023 год.и доставен до надлежните институции.
Извештајот од спроведениот попис и завршната сметка е усвоен во законски предвидениот рок од страна на Училишниот одбор и истите се објавени на веб страната на училиштето. Извештајот за завршните сметки на крајот од календарската година го изготвува сметководителот на училиштето, го доставува до Училишниот одбор, истиот се разгледува и усвојува најдоцна до 25 февруари тековната година.
Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално- технички средства преку СЕУ (анкети и прашалници), преку индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето.
Во првото полугодие од учебната 2022/23 се изврши оспособување на нов кабинет по Информатика, се набавија 7 статични компјутери и 7 монитори за кабинетот по информатика и 3 прожектори.
Се изврши демонтажа на стари и монтажа на 3 нови обични врати, 1 внатрешен портал и 1 влезна врата во училиштето вклучително опшивки и молерски работи во училиштето. Поставена е пристапна рампа на еден од влезовите на училиштето. Извршена е замена на стар дотраен под во една канцеларија со ламинат. Извршено е

реновирање на кујната: менување врати, шалтер, нови работни површини и набавка на нови уреди за готвење.
Училиштето располага со основен училишен инвентар (клупи, столици, магнетни табли, мебел...),соодветни нагледни средства кои постојано се обновуваат согласно потребите на наставата (ЛЦД проектори, принтери, компјутери, лап топи, географски карти, опрема за предметни кабинети и др.). Од опрема училиштето поседува: 4 мимио уреди за интерактивна настава, 10 интерактивни табли, 17 ЛЦД проектори, 62 лаптопи, 15 звучници, 16 персонални компјутери во кабинетот по информатика, 4 персонални компјутери за стручните соработници, разглас, 10 персонални компјутери за наставници, 2 апарати за копирање, 7смарт телевизори, 2 графоскопи, 11 ЦД плеер, 2 дигитални фотоапарати, 1камера, 5 скенери, 12 печатачи, електрично пијано и интернет мрежа достапна за секој наставник и ученик.
Постоечките нагледни средства се во функција на наставата, со можност за континуирано обновување со нови нагледни средства.

## 5. Мисија, визија и мото

## 6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено/стекнати искуства

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците.

За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од :

- анализи и заклучоци од спроведени самоевалуации за работата на училиштето;
- одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;
- анализи и искуства од работењето на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи;
- искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми;
- стекнати знаења од посетени обуки, семинари и работилници;
- знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата;
- придобивки од користење и почитување на правилници за работа и
- продобивки од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и

воннаставните активности итн...

Интензивната употреба на ИКТ-опрема и онлајн платформите за учење им овозможија на наставниците да ги надградат своите компетенции за дигитално работење и користење на современите електронски алатки. Достапните ресурси им послужија како дидактичка поддршка на наставниците и учениците, истовремено овозможувајќи им да ги споделат своите искуства и педагошки иновации. Искуствата со иновативни приоди во користењето на ИКТ во образованието претставува чекор понапред кон прилагодување на потребите на сите ученици.

Реформите во образованието налагаат подготовки кои се однесуваат на обуки за наставниците за реализација на наставните програми според Концепцијата за основно образование, како и обезбедување на дидактички материјали и задоволување на материјално-технички услови потребни за успешна имплементација на реформите.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Имајќи ги во предвид резултатите и сознанијата од самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките од интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, насоките дадени од БРО, како и потребите на наставниците констатирани при реализација на воспитно-образовниот процес и истакнати на состаноците на стручните активи беа одредени следните приоритети:

## *Креирање ненасилна училишна култура*

Нашето училиште е дел од проектот „Безбедност во училиштата “ изработен од страна на Одделението за превенција, а поддржан од Одделот за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ .
Основна цел на проектот е подобрувањето на севкупната и лична безбедност на учениците во образовно – воспитните установи, намалување на сите облици на насилство помеѓу учениците и детектирање на поединци и групи од училиштата како евентуални прекршители на законите, како и градење на доверба меѓу учениците и полицијата и развивање на меѓусебната соработка.
Активностите ќе се реализират преку формирање на Клуб за превенција во кој членуваат ученици од седмо и осмо одделение. Активностите ќе се реализираат во форма на едукативни работилници.
Во рамки на овој приоритет од страна на стручните соработници во првото полугодие е спроведено:
-акциско истражување на тема :”Следење на ефектите од работилници за превенција и намалување на насилното однесување во училиштето”
-интерна обука со работилница за наставниците на тема: „Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата“
Одделенските раководители на часовите на одделенската заедница реализираа серија работилници за ненасилно разрешување конфликти, рушење на предрасудите и стереотипите како и потикнување на ненасилна комуникација.
Во соработка со Првата детска амбасада во светот„Меѓаши“ а во рамки на програмата за Мировно образование беше реализиран Форум театар со ученици на тема: Врсничко насилство“.
Стручните соработници одржаа информативна и советодавна средба со Советот на родители со цел јакнење на соработката со родителите во спречување на појавите на насилно однесување во училиштето, како и подобрување на работната атмосфера во училиштето.
Учество на 10 ученици на интеркултурна размена во Троген, Швајцарија во рамки на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“.

## *Јакнење на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето*

Во рамки на училишниот приоритет Јакнење на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето се интензивираше соработката со Советот на родителите, Училишниот одбор и локалната заедница преку реализација на воннаставни активности, манифестации и проекти кои придонесуваат и кон демократско дизајнирање на училиштето.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

При планирање и реализација на наставните содржини наставниците се водеа од дадените насоки и препораки од БРО и МОН, Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2022/23, Упатството за реализација на наставата по изборните предмети во основното образование, Концепцијата за воннаставни активности во основното образование, Концепција за инклузивно образование и др.

Наставниците ги прилагодија планирањата на наставата и времето, методите и начините за реализација на наставата од далечина и имаа континуирана поддршка од директорот и стручните соработници. Годишните перспективни и тематските процесни планирања наставниците ги изработија и предадоа навреме, а дневните подготовки ги изготвуваа редовно и според дадените упатства од советниците на БРО. Сите материјали за определен час (наставни ливчиња, домашни задачи, презентации/план на одредени наставни содржини, линкови до снимени видео лекции) наставниците ги поставуваа на платформатата најкасно до крајот на тековниот ден кога е реализирана определената содржина. Наставниците за време на реализација на наставата користеа систем за бележење на присуството на учениците на наставата, редовноста и навременоста во исполнувањето на задачите. За учениците со посебни образовни потреби навреме беа изготвени индивидуални образовни планови и секој наставник развиваше стратегии и определи начини на поддршка за секој ученик со попреченост согласно неговите можности и способности. За време на целата учебна година постоеше одлична координација помеѓу наставниците, родителите, асистентите и стручните соработници.

За потребите на далечинското учење наставниците користеа Microsoft Teams и Националната платформа. За реализација на наставните содрини наставниците користеа е-содржини (текстуални презентации, аудио и видеопрезентации), е-учебници, снимени видеолекции од наставници пропратени со презентација, Едуино и др.

Согласно законските прописи и статутот на училиштето, а со цел реализирање на програмата за работа и поставените приоритети во оваа учебна година се реализирани следните активности:

-планирање и ангажирање околу спроведувањето на промени заради подобрување на условите за работа и квалитетот на наставата

-интензивна соработка со МОН (одржување онлајн состаноци организирани од страна на Министерот за образование и наука)

-интензивна соработка со Општина Гази Баба (вклучување во одбележување на различни манифестации Ден на општината, Хуманитарни акции....)

-соработка со БРО

-соработка со други училишта

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Учебната 2022/2023 год. започна на 01.09.2022 год., а заврши на 14.06.2023 год.согласно со календарот за организација на работата во учебната 2022/23 год.

### 8.2. Работа во смени

Одделенската настава ги опфаќа децата од прво до петто одделение. Во учебната 2022/2023 година во училиштето имаше вкупно 19 паралелки во одделенска настава .
Учениците од I до Vодд. наставата ја следеа во две смени, а менувањето на смените се вршеше на секоја недела.
Предметна настава ги опфаќа учениците од шесто до деветто одделение. Во учебната 2022/2023 година во училиштето имаше вкупно 15 паралелки во предметна настава. Учениците од VI до IX одделение настава ја следеа во прва смена.
Часовите во првата смена започнуваа во 8:00 часот, а часовите во втората смена започнува во 12:45 часот. Наставниот час трае 40 минути.

### 8.3. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик.

### 8.4. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето се изучува англискиот јазик, како прв странски јазик , од прво до деветто одделение, а како втор странски јазик од шесто до деветто одделение се изучуваат францускиот и германскиот јазик.

| Странски јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| **Англиски јазик** | 34 | **824** |
| **Француски јазик** | 8 | **146** |
| **Германски јазик** | 9 | **218** |

### 8.5. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во учебната 2022/23 година се спроведуваше тандем настава по физичко и здравствено образование (тандем часови), за учениците од прво, второ и трето одделение, каде покрај одделенскиот наставник во наставата се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование.

| Тандем наставници по физичко и здравствено образование | | |
|---|---|---|
| **Одделенски наставници** | **Наставник по физичко и здравствено образование** | **Паралелка** |
| **Љубинка Стилковска Петрушева/ Ангелина Трајковска** | **Бобан Величковски** | I-а |
| **Руменка Дејанова / Јордан Петрушевски** | **Бобан Величковски** | I-б |
| **Анетка Трајкова / Радица Стоилкова** | **Бобан Величковски** | I-в |
| **Ана Ристовска** | **Бобан Величковски** | I-г |
| **Ивана Саздовска Спасиќ / Тања Гигова** | **Бобан Величковски** | II-а |
| **Сузана Апостолова / Елизабета Каранфилова** | **Бобан Величковски** | II-б |
| **Елена Панева / Елена Боневска** | **Бобан Величковски** | II-в |
| **Марина Јаковиќ** | **Бобан Величковски** | II-г |
| **Марлена Најдовска / Андријана Стефановска** | **Марјан Трајковски** | III-а |
| **Анета Младеновска / Славица Стојаноска** | **Марјан Трајковски** | III-б |
| **Билјана Личкова / Тања Горгиева** | **Марјан Трајковски** | III-в |
| **Гордана Мацкова** | **Марјан Трајковски** | IV а |
| **Славица Трипуноска** | **Марјан Трајковски** | IV б |
| **Јулијана Печевска** | **Марјан Трајковски** | IV в |
| **Благица Илијевска** | **Марјан Трајковски** | IV г |

### 8.6. Изборна настава

Преку изборната настава учениците добија можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развијат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Како задолжителна, оваа настава ученици ја следеа според сопствен избор (се изјасниј по претходно направена анкета). Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Во училиштето се организира изборна настава по следните предмети во следните одделенија:

Етика на религии –шесто одделение -предметен наставник :Даниела Ристоска

Класична култура на европската цивилизација- шесто одд. - Валентина Николовска

Вештини на живеење - седмо одделение- предметни наставници:Софија Петроска, Емилија Божиновска, Анита Костадинова

Истражување на родниот крај–осмо одделение-предметен наставник:Тоше Трајковски

Програмирање - деветто одделение - предметен наставник:Владанка Михајловска

*Постапката за избор на изборните предмети се спроведе согласно следната процедура:*

- изготвување анкетни листови за учениците и родителите со понудени најмалку три изборни предмети, соодветни на одделението;
- анкетните листови содржат информации за наставните цели на изборниот предмет и темите кои ќе се обработуваат;
- презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред родителите на родителска средба;
- спроведување на анкета за родителите за определување на изборен предмет;
- обработка на податоците од спроведената анкета од страна на одделнските наставници и одделенските раководители на ниво на паралелка;
- изготвување извештај за изборните предмети на ниво на училиште од страна на стручните соработници и негово презентирање на наставнички совет;
- информирање на родителите и учениците за застапените изборни предмети;
- формирање групи од намалку 15 ученици од една или повеќе паралелки за следење на наставата;
- изборот на наставниците кои изведуваат настава по изборните предмети се прави согласно нормативите за наставен кадар даден во наставните програми од МОН и БРО.

**8.7. Дополнителна настава**

Дополнителната настава се организираше и спроведуваше согласно Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта. Дополнителната настава се организираше за учениците кои имаа потешкотии во учењето и заостануваа по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувааа од редовната настава. Оваа настава се изведуваше во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од III и од VI до IX оддление. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник го известува родителот. Реализацијата на дополнителна настава е евидентирана во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно. Согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште секој одделенски/предметен наставник дополнителната настава ја евидентира во образецот бр.16 даден во прилог на истиот. Изготвен е и распоред за дополнителна настава кој е составен дел на годишната програма.

**8.8. Додатна настава**

Дополнителната настава се организираше и спроведуваше согласно Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта За учениците кои во текот на задолжителната настава и низ другите воспитно-образовни активности покажуваа зголемен интерес и значителни резултати се организираше додатна настава по одделни предмети. Наставникот е должен да им ја понуди програмата за додатна настава на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат истата. Реализацијата на додатната настава е евидентирана во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој

наставник. Согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште секој одделенски/предметен наставник дополнителната настава ја евидентира во образецот бр.19 даден во прилог на истиот.

### 8.9. Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализираше преку:

-индивидуализација во наставата со учениците;

-групна настава за учениците со приближно исти способности ;

-додатна настава

-проектни активности;

-слободни ученички активности;

-организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;

-организирање креативни работилници .

### 8.10. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование како еден од аспектите на социјалната инклузија има значење на најважен облик на општествена еднаквост и прифаќање. Тоа е образование насочено кон различните барања и потреби на сите деца, со особен акцент на оние деца и групи подложни на социјална исклученост и маргинализација.

За успешно спроведување на инклузивното образование и согласно Законот за основно образование член 16 став 2 во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој согласно својата програма за работа креира политика за успешна инклузивна култура и пракса, дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби во текот на целата учебна година и ги детектира потребите на наставниот кадар за професионален развој.

### 8.10.1 Извештај за работата на училишниот инклузивен тим

| Училишен инклузивен тим | |
|---|---|
| 1. | Елизабета Јовановска-директор |
| 2. | Билјана Теовска-дефектолог |
| 3. | Биљана Василевска-педагог |
| 4. | Ана Ристовска-одделенски наставник |
| 5. | Тоше Трајковски-предметен наставник |
| 6. | Елена Младеновска-Спасеновска-родител |
| 7. | Александар Спасовски-родител |

Училишниот тим за инклузија во учебната 2022/23 год. ги реализираше следните активности:

-Формирање тим за инклузија на ученикот со ПОП;

-Изготвување годишна програма за работа на тимот за инклузија и нејзино усвојување;

-Евиденција на учениците со ПОП, формирање база на податоци за учениците со ПОП, разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје и Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ);

-Идентификување на посебните потреби на ученикот (изготвување на педагошки профил), идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците и примена на инструменти за опсервација и дијагностика;

-Непосредна работа на дефектологот со учениците со ПОП- вежби за период- ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови;

-Тимот за инклузија на секој ученик изготви индивидуален образовен план согласно законските рокови,

-Запознавање на предметните наставници со специфичностите во учењето кај одделни ученици;

-Помош и поддршка на образовните асистенти при вклучувањето во воспитно-образовниот процес со учениците со ПОП;

-Помош и поддршка на наставниците при изготвување на среднорочните и краткорочните индивидуални образовни планови за учениците со ПОП, како и помош при планирање на онлајн содржини;

-Увид во среднорочните индивидуални образовни планови/тематски планирања;

-Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби, како и мотивација на учениците за понатамошна работа и напредок.- советодавно-консултативни разговори со учениците на одд.часови и разговори со родителите на индивидуални средби;

-Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП;

-Советување и разговор со родителите и нивно учество при изготвување на индивидуални образовни планови - одредување на приоритетни подрачја на поддршка и развој;

-Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес преку посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП;

-Евиденција од работата на УИТ-записници од одржани состаноци;

-Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа на УИТ- изготвување на полугодишен и годишен извештај;

Извештај за работата на образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби

Согласно добиеното мислење за обезбедување поддршка од образовен/личен асистент од Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), а на барање на родителот, до посебното основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ поднесено е барање за обезбедување образовни асистенти во учебната 2022/23 год. за 8 ученици со посебни образовни потреби.

Во училиштето е отворен и функционира Центар за поддршка на учениците со попреченост од страна на основното училиште со ресурсен центар „Иднина“.

## 9. Воннаставни активности

За развивање на различни интереси на учениците, училиштето организира воннаставни активности согласно Законот за основно образование, Концепцијата за девттгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование.
При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја:
1. Личен и социјален развој;
2. Демократска култура, мултикултура и граѓанство;
3. Уметничко изразување и култура
4.Претприемништво и финансиска писменост.
Согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште секој одделенски/предметен наставник воннаставните активности ги евидентира во образецот бр.17 даден во прилог на истиот.

### 9.1.Извештај за реализирани воннаставни

| Воннаставни активности на активите на одделенска настава во прво а,б, в и г | |
|---|---|
| **Работилница - реакција на криза во училиштата за поддршка на менталното здравје** | 29.05.2023 |
| **Одбележување на 24-ти Мај Денот на сесловенските просветители** | 23.05.2023 |
| **Одбележување на 9-ти Мај –„Ден на Европа“, како и „Ден на победата над фашизмот“ - разглас** | 09.05.2023 |
| **Одбележување на 5 Мај- Ден на македонскиот јазик-разглас** | 05.05.2023 |
| **Одбележување на 1-ви Мај Меѓународен ден на трудот-разглас** | 28.04.2023 |
| **Одбележување на Денот на планетата Земја(22 Април)-изработки со учениците** | 24.04.2023 |
| **Априлијада – Ден на шегата, организирање маскембал,изработка на маски со учениците** | 30.03.2023 |
| **21-28 март Денови на пролетта за заштита на околината** | 24.03.2023 |
| **Интернационален натпревар Кенгур** | 23.03.2023 |
| **Разглас- Денот на пролетта** | 21.03.2023 |
| **Посета и следење на претстава во Домот на културата „Димитар Влахов“ - Волкот и трите прасиња од хуманитарен карактер** | 08.03.2023 |
| **Одбележување на денот на мајките (Изработка на честитка за мојата** | 08.03.2023 |

| | |
|---|---|
| **мајка- дизајн-колаж )** | |
| **Изработка на еколошки ѕиден весник** | 27.02.2023 |
| **Изработка на мартинки од волница** | 27.02.2023 |
| **Посета и следење на новогодишна претстава во Домот на културата „Димитар Влахов“ - Автокоманда** | 28.12.2022 |
| **Одбележување на 8 Декември-Св.Климент -разглас** | 07.12.2022 |
| **Учество во проектот„Патека од монети“** | 06.12.2022 |
| **Македонска филхармонија ,,Златно славејче"** | 05.12.2022 |
| **МОБ ,,Операта на шумските животни,, детска музичка претстава** | 02.12.2022 |
| **20 Ноември - Меѓународен ден на детето - разглас** | 21.11.2022 |
| **Одбележување на Денот на ослободување на Скопје 13 Ноември-читање на разглас Скопје вечен град** | 11.11.2022 |
| **Одбележување на патронен празник на училиштето со пригодни активности-приредба** | 28.10.2022 |
| **Следење на ТВ емисија поврзана со утрешниот празник 23 Октомври https://www.youtube.com/watch?v=ZD2jdYGfo_8 или https://www.youtube.com/watch?v=4OTQaRrqQsc** | 21.10.2022 |
| **Одбележување на 23 Октомври –Ден на македонската револуционерна борба** | 21.10.2022 |
| **Учество во кампањата „Помислете и на нас“ по повод 16.Октомври - Светски ден за борба против гладта преку донирање на прехрамбени производи** | 18.10.2022 |
| **Одбележување на 11 Октомври-Слушање песни за татковината,читање литературни творби на разглас** | 10.10.2022 |
| **Активности посветени на Детска недела-Изработка на постер,книга,цртеж и симболи илустрации со детски права и должности, Одбележување на Детска недела од 03.10 до 07.10.2022 Читање на Конвенција за детските права** | 07.10.2022 |
| **Уредување на паното по повод Светскиот ден на учителот** | 05.10.2022 |
| **Активности по повод Ден на учителите –изработка на хамер,цртежи ,банери,пораки,разглас** | 05.10.2022 |
| **Одбележување на 21-ти Септември (Меѓународен ден на мирот)-разглас** | 21.09.2022 |
| **Одбележување на 12-ти Септември (Денот на смртта на на нашиот патрон)-читање творби на разглас** | 12.09.2022 |
| **Одбележување на 8 Септември - Ден на независноста Македонија(разглас)** | 07.09.2022 |

| Воннаставна активност | Време на одржување |
|---|---|
| **Математичко – хуманитарен проект „Патека на хуманоста“ – ученици од 6,7,8,9 одделение** | 06.12.2022 година |
| **Учество на настан Дабар – ученици од 6,7 и 9 одд.** | Ноември 2022 година |
| **Учество во контактно училишна емисија „Ѕвон“** | 13.03.2023 година |
| **Национален натпревар „Европски квиз на пари“ – ученици од осмо и деветто одделение** | 20. 03. 2023 година |
| **Посета на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје во рамките на отворени денови на Институтот. – ученици од деветто одделение** | 20.03.2023 година |
| **Одбележување на Денот на пролетта и екологијата- ученици од 6,7,8,9 одделение** | 21.03. 2023 година |
| **Online посета и предавање од Народната банка на Македонија - ученици од осмо и деветто одделение** | 12. 04. 2023 година |
| **Посета на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје во рамките на отворени денови на Институтот. – ученици од деветто одделение** | 24.04. 2023 година |

| Воннаставна активност | Време на одржување |
|---|---|
| **Одбележување на Светскиот ден на учителот (8 а и 8в)** | 03.10.2022 |
| **Учество во одбележување на Денот на училиштето (8а,б,в)** | 28.10.2022 |
| **Одбележување на 8 Декември-Св.Климент Охридски (9г)** | 07.12.2022 |
| **Одбележување на 8-ми март (8б)** | 08.03.2023 |
| **Одбележување на Денот на македонскиот јазик -5 Мај (8а)** | 05.05.2023 |
| **Одбележување на 24 Мај-Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј (8а, 8в)** | 23.05.2023 |
| **Еднодневен есенски излет (7б)** | 17.10.2022 |
| **Еднодневен пролетен излет(7б)** | 12.06.2023 |
| **„Шарен свет“ – ликовна работилница(6одд)** | 26.12.2022 |
| **Учество во контактно - училишната емисија „ Ѕвон“ (Рецитаторска секција) (7в)** | 13.03.2023 |
| **Учество во одбележување на Денот на училиштето (Рецитаторска секција) (7одд)** | 28.10.2022 |
| **Посета на Собранието на Република Македонија ( 9 одд.)** | 25.11.2022 |
| **Читање историски извори за Населување на Словените на Балканот, (Леонид Коросковски 7в)** | 17.11.2022 |
| **Есеј за Гоце Делчев (Клара Карамфиловска 8В)** | 04.05.2023 |

### 9.2. Училиштни спортски клубови

Во училишниот клуб членуваат деца од 1 до 5 одделение и деца од 6 до 9 одд.
Училишниот клуб содржи тимски спортови како што се одбојка, кошарка и футсал во кој членуваат учениците од ООУ Стив Наумов.
Училишниот клуб секоја година зема учество на општински и регионални натпревари.

### 9.3 Акции

#### Ученички иницијативи

***Хуманитарна иницијатива за собирање и донирање храна***

Учениците членови на Клубот за едукација и превенција поттикнати од проблемот со глобалната сиромаштија и недостаток на храна се вклучија во Кампањата на Црвениот Крст на Македонија по повод 16 Октомври-Светскиот ден за борба против гладта под мотото „Помислете и на нас“
Покренаа иницијатива за помош и поддршка на социјално загрозените семејства преку хуманитарна акција за собирање храна наменета за учениците од нашето училиште и нивните семејства кои имаат потреба од помош и поддршка
Изготвен е флер со информативна содржина за планираната хуманитарна акција кој беше споделен со сите ученици, родители и наставници.

***Ученичка иницијатива за поттикнување ненасилна комуникација, врсничко посредување и разрешување конфликти***

Иницијативата за поттикнување ненасилна комуникација, врсничко посредување и разрешување конфликти меѓу учениците произлезе од Ученичкиот парламент и истата е поддржана Тимот за иченички иницијативи, од вработените во училиштето и Советот на родителите. Во рамки на оваа иницијатива се реализираа повеќе активности меѓу кои:

- Спроведување анкетен прашалник за прибирање податоци за појави на насилно однесување во училиштето
- Спроведување предавања и работилници со ученици во рамки на паралелките на теми поврзани со спречување и заштита од насилство
- Реализирани работилници во рамки на проектот „Безбедност во училиштата“ со учемиците членови на клубот за превенција на следните теми: Човекови права-детски права, Насилство-поим, видови и последици од насилство, Насилство на спортски натпревари, Насилство преку општествени-социјални мрежи, Злоупотреба на пиротехнички средства
- Присуство на Ученичкиот парламент на фудбалски натпревар организиран под мотото „Кога станува збор за детските права, сите сме еден тим“ со што беше одбележан Светскиот ден на детето, а со цел насочување на вниманието кон прашања важни за децата-еднакви можности, квалитетно образование, здрава животна средина и ментално здравје за секое дете.
- Во соработка со Првата детска амбасада во светот„Меѓаши“ а во рамки на програмата за Мировно образование беше реализиран Форум театар со ученици од ООУ „Стив Наумов“, СУГС „Д-р Панче Караѓозов“ и ООУ „25 Мај“на тема: Врсничко насилство“.

***Ученичка иницијатива за естетско уредување на училиштето со еко изработки***

Во текот на првото полугодие учениците во соработка со стручните соработници и своите наставници успешно изработија повеќе еколошки изработки од рециклирачки материјали со кои естетски се уредуваа ходниците и кои покрај естетската компонента имаа за цел развој на еколошка свест и екоетика кај учениците.
Со поддршка на ПДАС Меѓаши на 21 Септември 2022 година наставниот кадар и учениците го одбележаа Меѓународниот ден на мирот, ден посветен на борбата против омразата, предрасудите и насилството, ден посветен на промовирање поголемо почитување и достоинство за сите преку изработка на еко мурал „Гулаб на мирот“ и „Дрво на мирот“ и упатија силна порака за вредноста на толеранцијата и меѓусебното почитување.
-изработка на пеперутка, буф и еднорог од пластични капачиња со кои е украсен училишниот двор
-изработка на цветни мурали од рециклирани материјали

## 10. Ученичко организирање и учество

Училиштето промовира принцип на активно учество на учениците во животот на училиштето со што му овозможува на ученикот активно учество во одвивањето на сите активности во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење и градење механизми и процедури кои ќе им овозможат на учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Овој принцип го содржи и правото на секое дете да бара, прима и дава информации, да учествува во процесите на одлучување и да се здружува со другите деца заради посоодветно формулирање и манифестирање на своите потреби и интереси.

| Ученички парламент | |
|---|---|
| **Име и презиме на ученик** | **Одделение** |
| Димитар Тасевски | I а |
| Војдан Ангеловски | I-б |
| Лина Терзиќ | I-в |
| Мартија Попова | I-г |
| Софија Стојкова | II а |
| Мелани Ѓорѓиевска | II-б |
| Софија Трајкова | II-в |
| Дариа Трајковска | II-г |
| Михаил Петковски | III-а |
| Ина Дејановска | III-б |
| Филип Станковски | III-в |
| Ема Милошева | IV-а |
| Софија Трпинова | IV-б |

| | |
|---|---|
| Дамјан Атанасов | IV-в |
| Стефан Крстев | IV-г |
| Дарија Губериниќ | V-а |
| Марко Стојевски | V-б |
| Деспина Ацевска | V-в |
| Мелани Блажевска | V-г |
| Андреј Начовски | VI-а |
| Никола Стефановски | VI-б |
| Горјан Давчевски | VI-в |
| Ива Настеска | VI-г |
| Максим Ѓогоски | VII-а |
| Марко Петровски | VII-б |
| Калина Мојсоска | VII-в |
| Стефан Јовановски | VII-г |
| Никола Василевски | VIII-а |
| Лука Насковски | VIII-б |
| Димитар Тасков | VIII-в |
| Никола Тасевски | IX-а |
| Ива Ѓорѓиева | IX-б |
| Ана Николовска | IX-в |
| Миа Трифуновска | IX-г |
| Ученички правобранител: Милан СтојчевскиVIII-б<br>Претседател на Ученички парламент: Ана Николовска IX-а<br>Заменик претседател: Никола Василевски VIIIа<br>Одговорни наставници на Ученички парламент: Благица Илијевска и Софија Петровска | |

**10.1 Извештај за работата на Ученичкиот парламент**

Во текот на учебната 2022/2023 година, активностите на Ученичкиот парламент се реализираа според годишната програма.

На состаноците на Ученичкиот патламент, учениците имаа можност да дискутираат за различни прашања и теми поврзани со училишниот живот.

**Како се гради Ученичкиот парламент (формирање и функционирање на УП – ПМИО) и презентирање на годишната програма, потребата од формирањето на ученичките тела, избор на претседател на УП, претставници во Совет на родители, Училиштен одбор и Наставнички совет;**

На овој состанок на учениците им беше објаснето какво тело претставува Ученичкиот парламент и кои се неговите задачи и задолженија. Исто така беше објаснета и потребата и важноста за формирање на ученички тела, процедурата за избор на претседател и заменик претседател на паралелката, критериумите кои овие ученици треба да ги задоволуваат како и нивните обврски и задачи во текот на учебната година.

**Активности по повод патрониот празник, кампањата на Црвениот Крст „Денот на гладта“.**

Учениците беа поттикнати да учествуваат на конкурсот по повод патрониот празник со свои ликовни и литературни творби на дадената тема. Учениците беа информирани за кампањата во организација на Црвениот Крст, „Светскиот ден на гладта“ и можноста за донирање храна.

**Одбележување на 20 Ноември ,,Светски ден на детето“**

На присутните претседатели на паралелките им беше презентирана презентација по повод ,,Светскиот ден на детето“. На самиот состанок беа истакнати интересни факти поврзани со овој ден и целта на неговото одбележување. Состанокот беше проследен со пригодна приредба: читање на детските права, литературно читање и драматизација. Учениците од прво, второ и трето одделение по состанокот учествуваа во креативна работилница, на која имаа можност да ги истакнат своите креативни способности.
Во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на детето,Ученичкиот парламент го проследи фудбалски натпревар во организација на УНИЦЕФ во партнерство со Фудбалската федерација на Македонија. Под слоганот „Кога станува збор за детските права, сите сме еден тим“, овој ден беше одбележан со цел насочување на вниманието кон прашања важни за децата-еднакви можности, квалитетно образование, здрава животна средина, ментално здравје за секое дете.

**Подготовки за собирна акција на монети во рамки на математичкиот проект „Патека на хуманоста“**

На состанокот на учениците им се објасни дека проектот е и од математички карактер, но воедно и хуманитарен. Целта на проектот е да се направи што подолга патека од метални денари-монети, а собраните средства да се донираат во хуманитарни цели по донесена одлука на Ученичкиот парламент. Беше истакнато дека хуманитарната акција ќе се реализира на 06.12.2022 год. во одреден временски период и по претходно утврден распоред на паралелките.

**Извештај од спроведената хуманитарна акција,,Патека на хуманоста“**

На состанокот беше прочитан записникот од собирната акција со утврдена собрана сума. На состанокот беше донесена одлука за намена на собраните средства – купување подароци за учениците кои доаѓаат од семејства кои се корисници на социјална помош. Беше формирана Комисија од шест ученици за интервјуирање и запишување на желбите на учениците и набавка на посакуваните подароци во рамки на обезбедената планирана сума за секое дете.

**Завршен настан во рамки на проектот ,,Патека на хуманоста“**

На завршната средба во рамките на проектот ,,Патека на хуманоста“, присуствуваа и ученици претставници од седмо одделение, како и учесниците во проектот. На настанот беа и повикани и учениците за кои беа обезбедени подароци. Учениците на оваа средба остварија можност да се дружат, забавуваат и да споделат заеднички моменти поминати во училиштето.

**Извештај за работата на Ученичкиот парламент**

На завршниот состанок се дискутираше за работата на Ученичкиот парламент во текот на целата учебна година, за посетените настани и реализираните работилници. Учениците добија задача до почетокот на новата учебна година да споделат идеи за надминување на врсничкото насилство во училиштето. На крајот на состанокот, на учениците име беа поделени потврди за учество и придонес во работата на Ученичкиот парламент.

Одговорни наставници на Ученичкиот парламент:
Благица Илијевска и Софија Петроска

## 10.2 Извештај за работата на Детската организација

Во текот на првото и второто полугодие од учебната 2022/23 година предвидените содржини и цели во Програма за работа на Детска организација, при ООУ „Стив Наумов“ – Скопје, беа успешно и на време реализирани согласно дадените напатствија од соодветните релевантни институции, можностите и околностите на училишно работење и типот на организирање и реализирање на наставата.

Во периодот на првото и второто полугодие од учебната 2022/23 година во рамките на Детската организација беа реализирани следниве активности:

**01.09.2022** – Срдечен прием на првачињата по повод првиот училиштен ден од страна на директорот на училиштето, членовите на Детската организација и одделенските наставници на паралелките од прво одделение и интегрирање на првачињата во воспитно-образовниот процес одбележано преку однапред подготвена пригодна приредба и поделба на симболични подароци со цел поттикнување весела атмосфера при приемот на првачињата во нивниот втор дом и развој и негување на правилен однос кон училиштето и кон другарството;

**05.10.2022** - Светски ден на учителот (Teachers' Day), одбележан со пригодна програма преку разглас (реферат и поезија) за местото, улогата и значењето на учителот при формирањето на идните генерации и со ученички активности и ученички изработки во одделни паралелки при одделенска настава во чест на просветните работници;

**03-09.10.2022** - Со разновидни и креативни активности, организирани од Детската организација, низ кои имаа можност да ги изразат своите таленти, способности и вештини преку пригодна програма по разглас, драматизации, рецитали, изработка на плакати, изработка на флаери и на книги учениците од ООУ „Стив Наумов“ – Скопје достојно, ангажирано и посветено ја одбележаа Детската недела (03-09.10.2022), недела кога се слави правото на децата да уживаат во детството и кога децата се потсетуваат на своите права. По овој повод второодделенците, заедно со координаторот за Детска организација - Елизабета Каранфилова, на своите нови другарчиња од прво одделение им ги презентираа детските права од „Конвенцијата за правата на детето“ и им приредија приредба со која им дадоа пример за културно и за примерно однесување, за трудољубивост, за истрајност и за успех во учењето и во работата. Воедно, на сите деца во светот им посакаа среќно, мирно и безгрижно детство;

**28.10.2022** - Патронен празник (Ден на училиштето) одбележан преку распишани литературен и ликовен конкурс под мотото „Ритамот на училиштето – ритам на мојот живот“ и доделени награди за прво, второ и трето место, положување свежо цвеќе пред бистата на нашиот патрон, Стив Наумов, и свечена приредба во училишната спортска сала организирана и реализирана од стручната служба и од одговорните наставници во училиштето заедно со учениците, членови на Детската организација, за вечен спомен, благодарност и почит кон ликот и делото на нашиот патрон Стив Наумов;

**11.11.2022** – Ден на ослободување на град Скопје, одбележан со свечен реферат преку разглас од страна на наставниците и учениците од III одделение, членови на Детската

организација, со кој им оддадоа почит на борците за слобода на нашата татковина и воедно ги потсетија своите соученици за значењето на празникот;

**18.11.2022** - Одбележување на Светскиот ден на детето преку пригодна приредба со реферат за „Конвенцијата на правата на децата“ и поетски творби за децата како наше најголемо богатство, со декоративна ѕидна изработка (одд.наставник - Сузана Апостолова), изработка на плакати (одд.наставник и координатор за Детска организација – Елизабета Каранфилова) и ликовни изложби (одд.наставници - Марлена Најдовска, Славица Стојаноска и Тања Горгиева) на тема „Што е потребно за среќно детство“;

**05.12.2022** - Детски музички фестивал „Златно славејче“ - реализирана посета од страна на учениците од прво до четврто одделение во Македонска филхармонија, во соработка со Сојузот за грижи и воспитување на децата, со што се продолжува традицијата за посета на ова музичко обележје на нашиот главен град и се развива музичката култура кај најмладите;

**07.12.2022** - Св. Климент Охридски, одбележан преку пригоден реферат за ликот и делата на Св.Климент Охридски; презентации, информативни текстови и изработка на книга на паралелката за неговото значење за нашата татковина, за нашиот народ и за нашата писменост, како и вреднување на просветителската дејност на Св.Климент Охридски;

**14.12.2022** - Уредување и украсување на училишниот ентериер (ходници, катчиња и училишни/училнички паноа) со уметнички изработки во зимски и новогодишни мотиви и декорации од страна на учениците со цел развивање на креативноста и на уметничкиот порив и создавање потопол училишен ентериер и предновогодишно весело расположение.

**08.03.2023 –** Одбележување на денот на жената преку читање на реферат и стихотворби изработени од учениците, за спознавање на еднаквоста помеѓу жената и мажот, и изразување почит кон жената-мајка-сестра-баба.

**21.03.2023** – Одбележување на денот на екологијата и денот на пролетта преку читање реферат за подигнување на еколошката свест за заштита на природата и животната средина. Учениците изготвија презентации и еко пораки, како и скулптури од рециклирани материјали и литературни творби. Исто така, учениците беа вклучени во акцијата расчистување на сметот и сувите гранчиња во училишниот двор и засадување садници.

**31.03.2023** – Одбележување на денот на шегата -Априлијада, на која што учениците со своите маски продефилираа низ училишните ходници и околу училиштето, со цел поттикнување на добро распожение и развивање на чувство за хумор, креативност и творечка фантазија.

**04.05.2023** – Одбележување на годишнина од смртта на Гоце Делчев преку читање на реферат и стихотворби за ликот и делото на македонскиот револуционер, и гаење љубов и почит кон истиот.

**23.05.2023** – Одбележување на денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј преку читање реферат и стихотворби за мисијата на светите браќа и осознавање на величината на нивното дело, како и градење почит кон истото.

**Самоевалуација** - Предвидените цели од годишната програма на Детска организација се реализирани во целост преку планираните активности.

Со активностите на Детската организација се запознаени родителите, локалната заедница и општата јавност преку веб страницата на училиштето.

Одговорни наставници: Бојана Митевска- предметна настава и
Елизабета Каранфилова -одделенска настава

### 10.3 Извештај за работата на Подмладокот на Црвениот Крст и Клубот за едукација и превенција

Согласно Годишната Програма за работа во рамки на Подмладокот на Црвениот Крст и Клубот за едукација и превенција во учебната 2022/23 год. беа реализирани следниве активности:

-Избор на Раководен Одбор на ПЦК на училиштето и запознавање на членовите на одборот со правата и обврските ( септември).

-Набавка и снабдување на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства со потребен училишен прибор за претстојната учебна година (септември).

-Одбележување на 16-ти Октомври- Меѓународниот ден на гладта под мотото „Помислете и на нас“во „Неделата на борба против гладта“ преку активности, чија цел беше да се собере храна за социјално загрозените семејства.

-Запознавање на учениците со поимот волонтерство- Одбележување на Светскиот ден на волонтеризмот (декември)

-Предавање на тема орално здравје по повод Неделата на забоздравствена заштита (15-21 декември)

-Организација на обука по прва помош за наставници и ученици во соработка со Црвен крст на град Скопје

- Учество во подготовки и натпревар по Прва помош

-Евалуација на работата на организацијата на ПЦК и Клубот за едукација и превенција на училиштето –изготвување годишен извештај за работата (јуни 2023год.).

Одговорно лице: Билјана Теовска-дефектолог

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

## 11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

**-Одделенска настава**

| Ученици вклучени во вонучилишни активности | одделение | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|
| 1. Основно музичко училиште | 1 IIvв 1 IIvг 1 IVб | 3 |
| 2. Балетско училиште | 1 Ivб 1 Iiб 1 IIIб 1 IIIа 2 I в 4 Iб<br>1 Iа 2 Va | 13 |
| 3.Кошаркарски клуб | 2 IVб 5 Ivв 1 Ivг 2 Iiб 1 Iia 6 IIIб<br>5 III а 3 Iб 3 Iа<br>3 IIв | 31 |
| 4. Фудбал | 1 II г 5 IVб 1 Ivв<br>1 Va 1 Va | 9 |
| 5. Училиште за танц | 1 Ivб 1Iia 1 IIIб 2 III а 1 I в 2 Iб<br>4 Iа 1 II г | 13 |
| 6. Пливање | 1 II г 8 IVб 2 Ivв 1 IVа 3 IVг 6 Iб<br>1 Iia 2 IIIб 1 IIIа<br>1 I в 5 Iб 1 Iа<br>4 Va 1 IIв | 35 |
| 7. Играорна | 1 II г 3 IVб 5I Vв 3IVа 1 IIб 1 IIа<br>3 Va<br>3 IIIб 3 Iб 1 Iа<br><br>3 Vг 1 IIв | 28 |
| 8. Гимнастика | 2 Ivб 1 IVа 1 IIб<br>1 III а 1 Va 1 IIв | 7 |
| 9. Јавање | 1 I в | 1 |
| 10. Тенис | 2 Ivб 1 IIIб 1 Iб 1 Iа 1 Vг 1 Va 1 II г 1 IIв | 9 |
| 11. Цртање / ликовни уметности | 2 Iiг 2 Ivб 1 Ivв<br>1 Iva 1 IIIб 1IIIа<br>1 I в 1 Va 1 IIв | 11 |
| 12. Шах | 1 II г | 1 |
| 13. Пеење / хор | 1 Iа | 1 |
| 14. Глума | 2 IVб 2 IVа 1 IIб 1 IIIб 1 Iа 1 IIв | 8 |
| 15.Ракометен клуб | 1 II г 3 IVв 2 Iб<br>1 II г | 7 |
| 19. Одбојка | 1 IVб 1 IVа 1 IVг<br>1 IIб 3 III а 1 IIв | 8 |
| 17. Боречки вештини | 1 II г | 1 |
| 18. Странски јазик | 13 IVб 17 IVв 4 IV а 6 IVг 6 IIб<br>4 IIа 10 IIIб 4 III а<br>6 Iб 2 Iа 9 Vг<br>15 Va 4 IIв | 100 |
| 19. Компјутерски курс | 1 IVа | 1 |
| 20. Карате | 2 Ivг 3 Vг 1 IIг | 6 |
| 21. Спортска академија | 1 Iia 2 IIIб 3 III а 2 Iб 2 Iа 5 Va 1 II г | 16 |
| 22. Свирење на инструмент | 1 Iv б 1 Iiб 1 IIа<br>1 Iб 1 Va 1 II г | 6 |
| 23. Креативно пишување | 1 IIб | 1 |
| 24. Атлетика | 1 I в | 1 |
| 25.Курс по креативно пишување | 3 Va | 3 |

| Ученици вклучени во вонучилишни активности | Предметна настава/одделение | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|
| 1. Основно музичко училиште | 1 VII а 1 VIII а 1 IX г | 3 |
| 2. Балетско училиште | 1 VI а 2 VII в 1 VIII в 1 IX в | 5 |
| 3.Кошаркарски клуб | 2 VI в 2 VI б 2 VI а 2 VII г 5 VII а 1 VIII г 6 VIII б 2 VIII а 3 IX б | 25 |
| 4. Фудбал | 1 VI б 1VI а 2 VIII в 1 VIII б 1 IX г 1 IX в 3 IXа | 10 |
| 5. Училиште за танц | 2 VI в 4 VI б 1 VI а 2 VI а 2 VII г 3 VII а 3 IX в 3 IXа | 20 |
| 6. Пливање | 1 VI а 1 VII в 2 VII б 1 VII б 2 VIII г 4 VIII в 1 IX г 1 IX в 1 IX б | 14 |
| 7. Играорна | 1 VI в 3 VI б 2 VI а 2 VII г 4 VII б 2 VII а 4 VIII в 1 VIII б | 17 |
| 8. Гимнастика | 1 VII б | 1 |
| 9. Јавање | 1 VI б 1 VIII г 1 VIII в | 3 |
| 10. Тенис | 1 VII б | 1 |
| 11. Цртање / ликовни уметности | 1 VI а 1 VIII б 2 IX б | 4 |
| 12. Шах | | |
| 13. Пеење / хор | 1 VI б 2 IX в 1 IX б | 4 |
| 14. Глума | 1 VI в 1 VI б 1 VII в 4 IX г 1 IX б 2 IXа | 10 |
| 15.Ракометен клуб | 3 VI б 1 VI а 1 VII б 1VIII г 1 VIII б 3 IX г 3 IX б 1 IXа | 14 |
| 19. Одбојка | 2 VII в 2 VII б 1 VIII г 2 VIII в 1 VIII в 1 VIII а 1 IX г 1 IX в 5 IX б 1 IXа | 17 |
| 17. Боречки вештини | 1 VII а | 1 |
| 18. Странски јазик | 8 VI в 12 VI б 11 VI а 6 VII г 19 VII в 16 VII б 16 VII а 5 VIII г 24 VIII в 10 VIIIб 3 VIII а 7 IX г 5 IX в 19 IX б 20 IXа 1 IX г | 182 |
| 19. Компјутерски курс | 1 VI в 1 VI а 1 VII в 4 VIII в 1 VIII а 2 IX в 1 IX б | 11 |
| 20. Карате | | |
| 21. Спортска академија | 1 VI в 2 VI б 1 VI а 1 VII в 1 VIII г 4 VIII в 3 VIII б 5 IX г 4 IX в 6 IX б | 28 |
| 22. Свирење на инструмент | 1 VI а 2 VII а 1 VIII а 2 IX в | 6 |
| 23. Креативно пишување | | |
| 24. Атлетика | 2 VI б 1 IXа | 3 |

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари како составен дел на воннаставните активности во себе содржат воспитна компонента и имаат за цел развивој на натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Во текот на учебната 2022/23 година учениците од нашето училиште учествува на :

- училиштни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

## 12.1.Освоени награди од учество на натпревари на учениците

| Име и презиме на ученикот | Наставен предмет | Ментор | Освоена награда | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | општински | регионален | државен |
| **Ана Николовска 9в** | Биологија | Милка Златковска | 2 награда | 3 награда | |
| **Давид Трпчевски 9а** | Биологија | Милка Златковска | 3 награда | Пофалница | |
| **Калина Мојсоска 7в** | Биологија | Милка Златковска | Пофалница | Пофалница | |
| **Мила Ставревска 8б** | биологија | Милка Златковска | Пофалница | Пофалница | |
| **Ана Бошевска 7а** | биологија | Даниела Денковска | пофалница | 3 награда | |
| **Никола Демјански 6б** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 1 награда | 3 награда | |
| **Тамара Василевска 6в** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 1 награда | 3 награда | |
| **Горјан Давчевски 6в** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 1 награда | 2 награда | пофалница |
| **Максим Маринковиќ 6б** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 1 награда | 3 награда | |
| **Хана Цветковска 6а** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 1 награда | 3 награда | |
| **Нела Ацковска 6а** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 2 награда | 3 награда | |
| **Искра Митреска 6в** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 2 награда | 3 награда | |
| **Ана Петковска 6в** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 2 награда | пофалница | |
| **Неда Стојчевска 6в** | Природни науки | Лилјана Трајкова | 2 награда | Пофалница | |
| **Кристијан Карасарлидис 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | 2 награда | 2 место | пофалница |
| **Марко Стојевски 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | 1 награда | 2 награда | пофалница |
| **Матеа Јанкулоска 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | 2 награда | 2 награда | 2 награда |
| **Магдалена Пејова 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | 1 награда | 3 награда | |
| **Кристијан Панов 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | 1 награда | 3 награда | |
| **Деспина Ацевска 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | 2 награда | 3 награда | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Илијана Боневска 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | 3 награда | пофалница | |
| **Ева Узунов 4а** | Природни науки | Гордана Мацкова | 2 награда | 3 награда | |
| **Лука Петковски 4а** | Природни науки | Гордана Мацкова | 2 награда | 3 награда | |
| **Бојана Манчевска 4б** | Природни науки | Славица Трипуноска | 2 награда | 3 награда | |
| **Силвио Блажевски 4 б** | Природни науки | Славица Трипуноска | 2 награда | 3 награда | |
| **Софија Трпинова 4б** | Природни науки | Славица Трипуноска | 2 награда | 3 награда | |
| **Дамјан Атанасов 4в** | Природни науки | Јулијана Печевска | 2 награда | 2 награда | 2 награда |
| **Јоана Димитровска 4в** | Природни науки | Јулијана Печевска | 2 награда | 2 награда | пофалница |
| **Михаил Петров 4 в** | Природни науки | Јулијана Печевска | 2 награда | 1 награда | 1 награда |
| **Мила Томиќ Атанасовски 4г** | Природни науки | Благица Илиевска | 1 награда | 2 награда | 2 награда |
| **Ангела Боева 9в** | Хемија | Лилјана Трајкова | 2 награда | | |
| **Ангела Маназиева 9б** | Хемија | Лилјана Трајкова | 2 награда | | |
| **Михаела Николовска 9а** | Хемија | Лилјана Трајкова | 3 награда | | |
| **Јована Мерџановска 9а** | хемија | Лилјана Трајкова | 3 награда | | |
| **Ива Митревска 9в** | хемија | Лилјана Трајкова | пофалница | | |
| **Мила Анѓеловска 5** | Англиски јазик | Бојана Митевска | 1 награда | 2 место | |
| **Ангелина Чулев 5** | Англиски Јазик | Јосиф Шапкалиевски | 2 награда | 2 награда | |
| **Искра Митревска 6В** | Англиски Јазик | Благица Блажеска | 2 награда | 2 награда | |
| **Хана Цветковска 6а** | Англиски јазик | Благица Блажеска | 2 награда | 3 награда | |
| **Јована Ристовска 7в** | Англиски јазик | Татјана Арсова | 2 награда | 2 награда | |
| **Никола Тоневски 7г** | Англиски јазик | Татјана Арсова | 2 награда | 3 награда | |
| **Ана Аџиска 8б** | Англиски јазик | Татјана Арсова | 2 награда | 2 награда | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стефан Мишевски 8в** | Англиски Јазик | Татјана Арсова | 2 награда | 2 награда | |
| **Ана Николовска 9в** | Англиски јазик | Благица Блажеска | 2 награда | 2 награда | |
| **Искра Душаноска 4б** | математика | Славица Трипуноска | 2 награда | пофалница | |
| **Марко Гудумановски 4б** | математика | Славица Трипуноска | 3 награда | | |
| **Бојана Манчевска 4б** | математика | Славица Трипуноска | 3 награда | 3 награда | |
| **Софија Трпинова 4б** | математика | Славица Трипуноска | Пофалница | пофалница | |
| **Мартин Јованов 4а** | математика | Гордана Мацкова | 2 место | пофалница | |
| **Ева Узунов 4а** | математика | Гордана Мацкова | пофалница | | |
| **Даријан Урумовски 4а** | математика | Гордана Мацкова | Пофалница | | |
| **Дамјан Атанасов 4в** | математика | Јулијана Печевска | 3 место | 2 место | |
| **Кирил Цветковски 5а** | математика | Слободанка Басотова | 3 место | 3 место | |
| **Магдалена Пејова 5в** | математика | Маја Питроповска | пофалница | | |
| **Ана Теова 6б** | математика | Даниела Моневска | Пофални | | |
| **Никола Демјански 6б** | математика | Даниела Моневска | Пофалница | | |
| **Софија Гудумановски 7а** | математика | Даниела Димишковска | 3 место | | |
| **Никола Тоневски 7г** | математика | Данила Димишковска | 3 место | | |
| **Марија Трпинова 7б** | Математика | Данила Димишковска | 3 место | 3 награда | |
| **Калина Трпчевска 7б** | математика | Данила Димишковска | 3 место | | |
| **Лина Петрушевска 7в** | математика | Данила Димишковска | 3 место | | |
| **Ѓорѓи Цветковски 9б** | математика | Олгица Ристовска | 3 место | 3 награда | 2 место |
| **Хана Цветковска 6а** | географија | Марина Грамова | 1 место | Пофалница | |
| **Јана Коџобаши 6б** | географија | Марина Грамова | 3 место | Пофалница | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Нела Ацковска 6а** | географија | Марина Грамова | 3 место | Пофалница |
| **Мила Ангелковска 7а** | географија | Марина Грамова | 2 место | Пофалница |
| **Сара Ангелковска 7а** | географија | Марина Грамова | пофалница | Пофалница |
| **Ива Георгиевска 7а** | географија | Марина Грамова | пофалница | |
| **Милан Стојчевски 8б** | географија | Марина Грамова | 3 место | пофалница |

За освоените награди училиштето на учениците свечено им се доделени признанија и награди (книги).

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование кое води до подобрување на резултатите на учениците. Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество. Училиштето промовира мултикултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, се организираат заеднички воннаставни активности наменети за културно/јазични мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да се обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Училиштето оневозможува користење на полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата и спречува секаков облик на дискриминација по социјална, полова и етничка основа.

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

### 14.1 Проект“Меѓуетничка интеграција во образованието“

Училиштето континуирано промовира мултикултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата. Во училиштето се спроведуваат активности кои се предвидени со Годишната програма. Имено, во рамките на редовните часови и часовите на одделенската

заедница, наставниците одржуваат часови и работилници со содржини преку кои се развива мултикултурен сензибилитет кај учениците. На 21 септември 2022 година, се одржа настан за официјално затворање на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието и на истиот присуствуваа претставници од нашето училиште.

Воедно и оваа година продолжи реализацијата на заедничките активности со партнер училиштето ООУ „25 Мај" – Скопје. Па така на ден 26.12.2022 година, ученици од нашето училиште заедно со ученици од ООУ „25 Мај" ја реализираа ликовната работилница „Шарен свет". Вкупно триесет и осум ученици цртаа и твореа, креативно претставувајќи ги своите визии на темата „Шарен свет". Во работилницата учество зедоа и претседателот на Ученичкиот парламент како и ученикот - правобранител. Исто така учествуваа и претставници од Советот на родители.

На 21.03.2023г. под мотото "Пешачиме за мир, соживот и толеранција ученици од нашето и другите општински основни училишта, во организација на Општина Гази Баба, а по повод почетокот на пролетта, засадија дваесет и едно ново дрво, со што и посакаа добредојде на пролетта. Беше испратена и најсилната порака која вели: другарството не познава разлики.

Целта на овие активности беше учениците да ги продлабочат своите компетенции како и градење интеркултурализам преку култура која се заснова на ненасилство, демократичност и инклузивност.

Училишен тим за меѓуетничка интеграција во образованието

### 14.2 Проект"Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем"

Во учебната 2022-23 година најпрво беше изготвена Програма за работа на проектот еко училиште и усвоен Акционен план на активности според новите проширени еко стандарди и одбраните точки на акција за работа во тековната учебна година.

Заради потребата од интеграција на соодветни содржини во годишните програми за работа на наставниот кадар според новите стандарди и избраните точки на акција во училиштето секој наставник со соодветни содржини по одредени предмети ја збогати програмата за работа. Содржините и активностите предвидени со програмата на проектот за "Еколошка едукација во македонскиот образовен систем "во текот на учебната 2022-23 година, оваа учебна година, се реализира најмногу во рамките на редовните часови.

Сите наставници од одделенска и предметна настава ги интегрираа планираните содржини во годишните програми за работа согласно дадените стандарди и избраните точки на акција во училиштето од темите: вода, енергија, уреден двор, отпад, транспорт. Еко одборот редовно одржуваше состаноци за кординирање на активностите и случувањата во училиштето, особено со учениците кои членуваа во него кои правеа известувања за останатите ученици за собирните акции на материјали за рециклирање како пластични шишиња, електронски отпад и батерии и за други случувања. Во текот на ова учебна година беа направени мали поправки за подобрување на материјално техничките услови за работа во училиштето кои воедно влијаат и на подобрување на животната средина и хигиена за работа во училиштето.

Сите преземени активности во овој период беа достапни за учениците преку Еко информаторот и преку истакнување на прикладни пароли, закачени на видни места во училиштето или усно пренесени на учениците.

Со цел да се обезбеди здрава вода за здрав живот на учениците од нашето училиште општината во соработка со фирмата „Бентен Пан“ ДОО-увоз-извоз Скопје, во холот на училиштето, достапно за сите ученици, инсталираа чешми со филтри за прочистување од кои учениците ќе можат да пијат здрава, прочистена вода.

Во рамките на проектот во редовната настава и воннаставните активности беа реализирани следниве активности:
-Собирање на пластични капачиња;
-Собирање на потрошени батерии(акција на „ЕЛКОЛЕКТ-Биди суперхерој“-3);
-Собирање на пластични шишиња;
-Собирање на електронски отпад;
-Одбележување на поважни датуми поврзани со екологијата-еко-календар.
Учениците од нашето училиште спроведуваа активности континуирано, во текот на целата учебна година.
-Во текот на учебната 2022/2023 продолжи акцијата за собирање пластични капачиња кои беа класифицирани по боја и од нив се изработуваа мурали на специјални подлоги на кои предходно се цртаа моделите и потоа капачињата беа лепени со соодветно лепило.
-Учениците изработуваа украси (изработки) од рециклирачки материјали, картони од брисачи, тоалетна хартија се изработуваа креативни изработки-цветни мотиви.
-Од стара хартија, пур пена беше изработено дрво на еден училишен ѕид на кое прикачуваме најразновидни еко пораки и пораки со содржина според потребите. На тој креативен начин природата ја доближивме до нашите ученици кои секојдневно уживаат и се потсетуваат на еко пораките.
- Сите овие изработки - мурали, цветни мотиви, дрво-еко пораки го разубавуваат нашето училиште и сведочат за посветеноста на наставниот кадар и нашите ученици во активностите за подигнување на еко свеста кај секој човек.
Учениците во текот на изминатава учебна година садеа и одгледуваа садници,се грижеа за садниците од зимзелени дрвја, цвеќиња и спроведуваа акции за чистење на училишниот двор од отпадоци и суви гранчиња од дрвјата.

Ученици представници од нашето училиште и нашиот еко одбор земаа учество и во контактно училишната емисија ,,SBOH“ каде покажаа голема одговорност за тимска работа и другарување со акцент на едуцирање од областа на екологијата. На овој начин нашиот еко тим имаше можност да ги представи сите свои активности и изработки.

Паралелно со овие активности се работеше и на уредување и одржување на хигиената во просториите на училиштето.

Сите преземени активности во овој период беа поткрепени од страна на учениците со истакнување на прикладни пароли кои се закачени на видни места во училиштето, еко паноа или усно пренесени на учениците.

Еко информаторот беше тековно уредуван од страна на учениците од Еко-одборот и на сликовит начин се прикажуваше се што се работеше во училиштето.

Активностите кои се преземаа во ова учебна година 2022/23 континуирано можеа да се следат на еко-информатор и во електронска форма.
Учениците активно се вклучија и во одбележување на Денот на пролетта и екологијата. За таа цел, учениците преку изготвување на презентации го одбележаа овој ден, изработка на еко пораки, читање на реферат, изработка на скулптури од рециклирани материјали, литературни творби на тема Екологија, како и во акцијата за расчистување на сметот и сувите гранчиња во училишниот двор. Исто така учениците ја раскопуваа замјата околу садниците и засадија нови садници на претходно подготвени места.

Активностите кои се преземаа во оваа учебна 2022-23 година се одвиваа под раководство на предметен наставник Марина Грамова и одделенски наставник Ивана С. Спасиќ и притоа континуирано можеа да се следат на еко-информатор и во електронска форма.

Координатор: м-р Марина Грамова

**14.3 Проект „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“**

Проектот “Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.

Од планираните активности во текот на 2022-23 учебна година се реализирани:

-Зададен анкетен прашалник за испитување на предзнаењата за корупција

-презентација на тема” Видови на корупција и причини за нејзино појавување”

-презентација на тема “Механизми за спречување на корупција”

-презентација на тема “Невладините организации и нивната улога во борба против корупцијата”

-предавање на тема “Последици од корупцијата”

-литературен конкурс “Релативизирање на ситната корупција како нормална појава во општеството”

-ликовен конкурс на тема” Релативизирање на ситната корупција како нормална појава во општеството”

-анкетен прашалник за утврдување на знаењата за корупција

Одговорен тим:Александар Каровски, Александра Крстевска

**14.4 Програма „Мировно образование“**

Мировното образование (МО) или образованието за МИР, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сè поголем интерес. Тоа промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во средините каде што живеат да создадат услови за позитивен мир. Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата. Во училиштата МО е иновативна и сеопфатна училишна програма со која се креира ненасилен и пријатен амбиент во училиштата и надвор од нив создавајќи единство во различностите и исполнувајќи ги многубројните потреби на различната популација. Во соработка со ПДАС„Меѓаши“ во училиштето се спроведуваат активности кои промовираат ир и ненасилна култура(одбележување на 21 септември-Ден на мирот, изработка на мировни мурали и пораки, работилници со ученици и наставници, Форум театар со ученици и др.)

Одговорно лице: Билјана Теовска

### 14.5 Проект „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“

Проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ ќе се спроведува во периодот 2023-2025 год. во соработка со Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ поддржан од Детската фондација Песталоци (ДФП) и истиот е во насока на поддршка на образовните политики и иницијативи за обезбедување инклузивно образование. Планираните цели и активности во проектот се во насока на поддршка на имплементацијата на Законот за основно образование, Концепцијата за основно образование, Концепцијата за инклузивно образование и Стратегијата за образование 2018-2025. Главна цел на проектот е зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста преку унапредување на физичките услови, училишната клима и средина, наставата и ефикасното финансирање.
Во рамки на проектот се реализирани следните активности:

- Спроведување самопроцена на моменталната состојба во училиштата во однос на инклузивноста
- Изработка на индивидуален план за развој
- Доделени 4 стипендии на ученици со попреченост
- Реализирана интеркултурна размена на ученици во Троген, Швајцарија
- Спроведени обуки за наставници и родители
- Спроведени работилници со ученици во ОУРЦ„Иднина“
- Следење на успехот кај учениците со ПОП

Одговорно лице: Билјана Теовска

### 14.6 Проект;„Безбедност во училиштата “

Нашето училиште е дел од проектот „Безбедност во училиштата “ изработен од страна на Одделението за превенција а поддржан од Одделот за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ .

Основна цел на проектот е подобрувањето на севкупната и лична безбедност на учениците во воспитно - образовните институции, намалување на сите облици на насилство помеѓу учениците и детектирање на поединци и групи од училиштата како евентуални прекршители на законите, како и градење на доверба меѓу учениците и полицијата и развивање на меѓусебната соработка.

Активностите се реализират преку формирање на Клуб за превенција во кој членуваа ученици од седмо и осмо одделение. Активностите се реализираат во форма на едукативни работилници.

На овие работилници беа третирани следните теми поврзани со полициското работење:

- Формирање на Клубот за превенција и неговата улога
- Човекови права- детски права
- Насилство (поим, видови на насилство и последици);
- Насилство на спортски натпревари
- Насилство преку општествени (социјални) мрежи

- Злоупотреба на пиротехнички средства (петарди ,оружје,ладно оружје во пресрет на новогодишните празници)
- Семејно насилство
- Трговија со луѓе
- Зависности (алкохол, дрога, коцкање и интернет)
- Безбедност во сообраќајот
- Улогата на полицијата во демократско општество
- Посета на ПС ОН
- Матурски и полуматурски прослави.

Одговорно лице: Биљана Василевска

## 15. Поддршка на учениците

Ефективната поддршка на учениците се остварува преку спроведување на следниве активности:

- Изготвување програми за работа со талентирани и надарени ученици;
- Изготвување програми за работа со учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби и емоционални потешкотии;
- Идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето;
- Континуирана поддршка на талентираните и надарените ученици;
- Континуирана поддршка на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии;
- Континуирана поддршка на учениците преку додатната и дополнителната настава;
- Професионално информирање и ориентирање на учениците;
- Индивидуално и групно советување на учениците;
- Следење, анализа и промоција на постигањата на учениците;
- Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, како и спречување на дискриминацијата;

Преку поддршка на учениците и примена на ефективни наставни практики, методи и форми на работа се промовира академско, практично, социјално и емоционално учење кај сите ученици, а училиштето создава инклузивна и стимулативна средина за развој на секој ученик

## 15.1. Постигнување на учениците

### Преглед на општиот успех на учениците

| Паралелка | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех по предмети | описно | описно | описно | | | | | | | |
| македонски јазик | | | | 4,40 | 4,48 | 4,64 | 4,16 | 4,40 | 4,67 | 4,40 |
| математика | | | | 4,28 | 4,35 | 3,71 | 3,79 | 3,55 | 3,93 | 3,91 |
| англиски јазик | | | | 4,58 | 4,61 | 4,47 | 4,57 | 4,45 | 4,79 | 4,58 |
| француски јазик | | | | | | 4,48 | 4,63 | 4,57 | 4,88 | 4,64 |
| германски јазик | | | | | | 4,50 | 3,66 | 3,74 | 4,12 | 3,92 |
| ликовно образование | | | | 4,84 | 4,85 | 4,42 | 4,53 | 4,51 | 4,79 | 4,55 |
| музичко образование | | | | 4,72 | 4,83 | 4,81 | 4,87 | 4,94 | 5,00 | 4,82 |
| природни науки | | | | 4,35 | 4,11 | 4,28 | | | | 4,25 |
| техничко образование/техничко образование и информатика | | | | 4,74 | 7,80 | 4,70 | | | | 4,75 |
| работа со компјутери и основи на програмирањето | | | | | | | | | | |
| информатика | | | | | | 4,69 | 4,50 | | | 4,50 |
| општество/историја и општество | | | | 4,25 | 4,33 | | | | | 4,29 |
| географија | | | | | | 4,25 | 4,24 | 4,29 | 4,40 | 4,28 |
| историја | | | | | | 4,24 | 4,52 | 4,04 | 4,68 | 4,42 |
| етика | | | | | | | 4,35 | | | 4,35 |
| граѓанско образование | | | | | | | | 4,25 | 5,00 | 4,65 |
| биологија | | | | | | | 4,48 | 4,65 | 4,91 | 4,67 |
| физика | | | | | | | | 3,93 | 4,20 | 4,07 |
| хемија | | | | | | | | 3,91 | 4,32 | 4,13 |
| иновации | | | | | | | | | 4,76 | 4,76 |
| физичко и здрав. образование | | | | 4,75 | 4,98 | 5,00 | 4,84 | 4,89 | 4,95 | 4,89 |
| Изборен предмет | | | | | | | | | | |
| етика на религиите | | | | | | 4,77 | | | | 4,77 |
| клас.култура во европ.цивил. | | | | | | 4,71 | | | | 4,71 |
| вештини за живеење | | | | | | | 4,86 | | | 4,86 |
| програмирање | | | | | | | | | 4,91 | 4,91 |
| Истраж. на родниот крај | | | | | | | | 5,00 | 5,00 | 5,00 |

| одделение | вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | вкупно | | 5 | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученици | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | | | Неоценети | Описно оценети | |
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | бр. | |
| I | 106 | 53 | | | | | | | | | 106 | 100 | / | 106 | описно |
| II | 89 | 46 | | | | | | | | | 88 | 98,88 | 1 | 88 | описно |
| III | 88 | 53 | | | | | | | | | 88 | 100 | / | 88 | описно |
| IV | 98 | 42 | 70 | 71,43 | 20 | 20,41 | 7 | 7,14 | 1 | 1,02 | 98 | 100 | / | | 4,61 |
| V | 82 | 40 | 48 | 58,54 | 19 | 23,17 | 1 | 1,22 | 0 | 0,00 | 82 | 100 | / | | 4,63 |
| I-V | 463 | 234 | 118 | 65,56 | 39 | 21,67 | 8 | 4,44 | 1 | 0,56 | 462 | 99,78 | 1 | zbz | 4,62 |
| VI | 91 | 44 | 60 | 65,93 | 22 | 24,18 | 9 | 9,89 | 0 | 0,00 | 91 | 100 | / | / | 4,48 |
| VII | 102 | 51 | 66 | 64,71 | 24 | 23,53 | 12 | 11,76 | 0 | 0,00 | 102 | 100 | / | / | 4,44 |
| VIII | 80 | 41 | 48 | 60,00 | 22 | 27,50 | 10 | 12,50 | 0 | 0,00 | 80 | 100 | / | / | 4,36 |
| IX | 91 | 38 | 68 | 74,73 | 23 | 25,27 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 91 | 100 | / | / | 4,84 |
| VI-IX | 364 | 182 | 242 | 66,48 | 91 | 25,00 | 31 | 8,52 | 0 | 0,00 | 364 | 100 | / | / | 4,47 |
| I – IX | 827 | 416 | 360 | 66,18 | 130 | 23,90 | 39 | 7,17 | 1 | 0,18 | 826 | 99,88 | 1 | / | 4,47 |

**Споредба на средниот успех на учениците со предходните две учебни години**

| Учебна година | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 |
|---|---|---|---|
| Среден успех | 4,59 | 4,50 | 4,47 |




## Анализа на успехот на учениците од прво до трето одделение

Описната оценка ги одразува индивидуалните постигања на секој ученик.Таа се темели на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Описната оценка е аналитична и не служи за споредба со другите ученици, туку го претставува развојот и напредокот на ученикот. Во табелите се дадени податоци за постигнувањата на учениците по наставни предмети во критериумска класификација врз основа на нивоата на знаења и способности.

Опис на критериумска класификација:

Кк-А: ученикот постигнал 90%од целите на наставната програма на ниво на помнење,репродуцирање, сфаќање и разбирање, може да ги применува знаењата во даден проблемски контекс со познати и нови елементи, може да средува, комбинира елементи во нови целини и да покажува способност за вреднување на оправданост или научност на некое тврдење или дело.

Кк-Б : постигањата на ученикот се однесуваат на поцелосно запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, покажува способностза примена на знаењата во даден проблемски контекст со познати и нови елементи, како и способност за средување и комбинирање елементи во нови целини.

Кк- В: постигањата на ученикот покрај тоа што се однесуваат на запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, покажува и способност за примена на знаења во едноставен проблемски контекст

Кк-Г: постигањата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот покажува одредени способности знаењето да го искаже со свои зборови и знаењето да го применува во наједноставни примери

Кк- Д: постигањата на ученикот се однесуваат на делумно запомнување и репродуцирање, ученикот најчесто работи со помош

| **Прво одделение** | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | Број на ученици според постигањата(описни каттегории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија) | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Кк-А** | | | **Кк-Б** | | | **Кк-В** | | | **Кк-Г** | | | **Кк-Д** | | |
| | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж |
| **македонски јазик** | 59 | 28 | 31 | 31 | 16 | 15 | 13 | 8 | 5 | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **математика** | 60 | 28 | 32 | 30 | 16 | 14 | 13 | 8 | 5 | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **англиски јазик** | 59 | 25 | 34 | 19 | 10 | 9 | 20 | 13 | 7 | 8 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **ликовно образ.** | 85 | 41 | 44 | 16 | 8 | 8 | 5 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **музичко образ** | 78 | 39 | 39 | 23 | 10 | 13 | 5 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **природни науки** | 62 | 28 | 34 | 30 | 16 | 14 | 11 | 8 | 3 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **општество** | 64 | 28 | 36 | 25 | 13 | 12 | 15 | 11 | 4 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **физичко и здравствено образование** | 102 | 50 | 52 | 3 | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

- Во критериумската класификација Кк-А по сите предмети девојчињата имаат повисоки постигнувања
- Во критериумската класификација Кк-б по сите предмети преовладуваат момчињата
- Највисоки постигања учениците имаат по предметите музичко, ликовно и физичко и здравствено образование

| Второ одделение | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | Број на ученици според постигањата(описни каттегории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија) | | | | | | | | | | | | | | |
| | Кк-А | | | Кк-Б | | | Кк-В | | | Кк-Г | | | Кк-Д | | |
| | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж |
| **македонски јазик** | 40 | 17 | 23 | 24 | 14 | 10 | 12 | 4 | 8 | 11 | 7 | 4 | 1 | 1 | 0 |
| **математика** | 44 | 22 | 22 | 20 | 11 | 9 | 11 | 2 | 9 | 12 | 7 | 5 | 1 | 1 | 0 |
| **англиски јазик** | 52 | 25 | 27 | 14 | 5 | 9 | 15 | 7 | 8 | 7 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **ликовно образ.** | 87 | 42 | 45 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **музичко образ** | 87 | 42 | 45 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **природни науки** | 51 | 26 | 25 | 18 | 8 | 10 | 8 | 2 | 6 | 11 | 8 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **општество** | 55 | 28 | 27 | 15 | 5 | 10 | 11 | 6 | 5 | 7 | 4 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **физичко и здравствено образование** | 87 | 42 | 45 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

- Во критериумската класификација Кк-А по предметот македонски јазик поголема е застапеноста на девојчиња
- Во критериумската класификација Кк-Г по предметот англиски јазик и природни науки поголема е застапеноста на момчиња
- Највисоки постигања учениците имаат по предметите ликовно,музичко образование и физичко и здравствено образование
- Од анализата на добиените податоци се забележува дека има момчиња со потешкотии во учењето по предметите македонски јазик и математика

| Трето одделение | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | Број на ученици според постигањата(описни каттегории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија) | | | | | | | | | | | | | | |
| | Кк-А | | | Кк-Б | | | Кк-В | | | Кк-Г | | | Кк-Д | | |
| | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж |
| **македонски јазик** | 47 | 14 | 33 | 16 | 10 | 6 | 21 | 9 | 12 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **математика** | 45 | 15 | 30 | 18 | 10 | 8 | 21 | 7 | 14 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **англиски јазик** | 48 | 13 | 35 | 23 | 13 | 10 | 17 | 9 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ликовно образ.** | 60 | 19 | 40 | 19 | 9 | 10 | 9 | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **музичко образ** | 60 | 17 | 43 | 21 | 9 | 12 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **природни науки** | 45 | 14 | 31 | 2412 | 12 | 17 | 8 | 9 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **работа со компјутери и основи на прогр.** | 56 | 17 | 39 | 21 | 11 | 10 | 10 | 6 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **општество** | 45 | 14 | 31 | 23 | 14 | 9 | 18 | 6 | 12 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **физичко и здрав. образ** | 42 | 11 | 31 | 33 | 15 | 18 | 13 | 9 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

- Во критериумската класификација Кк-А по сите наставни предмети поголема е застапеноста на девојчињата.
- Во критериумската класификација Кк-Г по сите наставни предмети поголема е застапеноста на момчиња.
- Највисоки постигања учениците имаат по предметите работа со компјутери и основи на програмирањето, музичко образовани и ликовно образование.

**15.2. Професионална ориентација на учениците**

Програмата за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта е изработена врз основа на член 47 став (2) од Законот за основно образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20. Оваа програма има за цел да им помогне на учениците и нивните родители/старатели при изборот на средното училиште ,согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Програмата ја реализираат стручните соработници и наставници со учениците од осмо и деветто оделение и истата е составен дел од Годишната програма за работа на основното училиште.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критерирумите за упис во средно образование.

Во 2022/23 год.беа реализирани следните активности:

Во областа за *самоспознавање* на учениците беа одржани работилници на различни теми :

- Работилници за ученици од осмо и деветто одд. на тема: „Секој има своја функција"
- Работилница за ученици од осмо и деветто одд.на тема: „Кога ке пораснам сакам да бидам"
- Работилница за ученици од осмо и деветто одд.на тема „ Автомеханичарки„
-Предавање и дискусија за ученици од деветто одд. на тема" Професионален и кариерен развој"
-Работилница за изработка на CV и мотивационо писмо
- Изработка на есеј на тема „Моето идно занимање"

Во областа за *информирање и пребарување за видови професии и можности за школување* беа опфатени ученици од деветто оддление и беа спроведени следните акивности:

- споделување на Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пред учениците
- информирање за мрежата на средни училишта
- споделување пропаганден материјал од средните јавни училишта
- презентација на струки и занимања
- самостојно интернет истражување и информирање за пазарот на труд од страна на учениците

Во делот на *реални контакти/средби* беа одржани презентации од повеќе средни училишта (ПСУ"САБА",СУГС"Михајло Пупин",СУГС"Боро Петрушевски", СУГС"Панче Арсовски" ПСУ "Јахја Кемал " и др.)

Во делот на *донесување одлука* беше направена споредба на профилот на личноста на ученикот со профилот на образование и крајната цел е самостојно донесување на конечен избор за упис во одредено средно училиште.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Основна задача на училиштето и целокупниот воспитно-образовен кадар е намалување на насилното однесување и спречување на појавите на дискриминација. Училиштето ги спроведе активностите предвидени со Програмата за превенција на насилното однесување и дискриминација по било која основа, со која преку индивидуални и групни активности се врши едукација на учениците за препознавање и пријавување на сите видови насилство. Од оваа учебна година училиштето се вклучи во активностите на проектот „Мировно образование„ на Првата детска амбасада во светот„Меѓаши" кои имаа за цел поттикнување на ненасилна комуникација меѓу учениците промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем, како и во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби" во соработка со Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците".

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Оценувањето во учебната 2022/23 година се вршеше согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина и Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците беа оценети описно и нумерички според три периоди:

-Учениците опфатени во првиот период I-III одделение беа осенети со описни оценки..

-Учениците опфатени во вториот период од IV-VI одделение се оценети со описни оценки на крајот на првиот, вториот и третиот класификационен период, а нумерички на крајот на учебната година

-Учениците опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценети само со нумерички оценки.

За време на наставата на далечина наставниците користеа разновидни методи и техники за проверка на знаењата: пишани трудови (есеи, проекти, презентации, тестови, онлајн игри). Со цел одржување на мотивацијата и континуитетот на учењето и врз основа на достапните технички можности од страна на учениците, даваа повратна информација во различна форма ( пишана форма, директен разговор со ученикот преку телефон или онлајн апликации за комуникација).

Секој ученик имаше свое електронско потфолио, кое како неизоставна алатка во оценувањето од далечина му овозможува на ученикот да го следи сопствениот напредок, да се подобрува и да го документира напредокот. Тоа овозможува чување различни видови трудови, меѓу кои и мултимедијални. На наставникот, пак, му овозможува да го следи ученикот, да го оценува формативно и сумативно и да го документира оценувањето. Со употреба на најразлични ИКТ-алатки учениците пишува и во електронското потфолио ги поставуваа и зачувуваа своите документи, фотографии, аудио- и видеоматеријали.

Во текот на целата учебна година од страна на психологот на училиштето согласно Законот за основно образование (членови 76,77 и 78), Правилникот за советување родители на ученици од основни училишта, Програмата за советување ученици во основни училишта и согласно потребите,се одвиваше советување на родители и ученици. За истото се изготвија месечни и неделни планови и се водеше документација пропишана со прирачникот и програмата согласно критериумите дадени во истите( за родители и ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат намален успех во учењето и имаат несоодветно однесување).

Во текот на оваа учебна година во периодот од 01.09.2022год.до 10.06.2023год.на советување беа повикани вкупно седум родители на ученици кои нередовно ја посетуваа наставата.

На крајот на учебната година ниеден ученик нема негативни оценки и согласно тоа училиштето не организира дополнителна настава.

На крајот на наставната година неоценета е ученичката од II г одд. поради неоправдано отсуство подолго од еден месец. Согласно Законот за основно образование родителите на ученичката се поканети на советување, но и после три уредно испратени покани тие не се јавија на советување. Истите се пријавени кај овластениот државен просветен инспектор. Извршена е и посета на домот, но на наведената адреса како место на живеење не престојува никој. Согласно член 144 став 1 и 2 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ, бр.161 од 05.08.2019година) ученичката се упатува на одделенски испит.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка на наставниците при оценувањето ги реализираше активностите предвидени со Планот за следење и анализа на состојбите. Наставниците добиваат континуирана поддршка при процесот на оценување, а се следи и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад;
На почетокот на учебната година извршен е увид во годишните и тематските планирања на наставниците;
Следена е реализацијата на наставните планови и програми преку посета на наставни часови;
Вршена е анализа и изготвувани се извештаи по посетените часови , како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти;
Посетени се отворени и нагледни наставни часови и водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми , стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание се обрна на методите на формативно оценување, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците, како и на поттикнување и развивање на критичкото мислење кај учениците;
Тимот за инклузија на ученик два пати во наставната година врши ревизија/евалуација на постигнатоста на целите од индивидуалниот образовен план за ученикот со посебни образовни потреби.
Тимската работа на стручните активи придонесе за унапредување на меѓусебната соработка, размена на искуства, сознанија и примери на добра практика кои придонесоа за подобрување на квалитетот на наставата.
Увид во педагошката документација и евиденција и главните книги. По извршените увиди од страна на комисијата и директорот, констатираната состојба се евидентира во однапред изготвени формулари. Преку водењето на педагошкиот картон од страна на стручните соработници е следена и другата педагошка евиденција и документација (годишни, тематски и дневни планирања, планирање и реализација на дополнителна, додатна настава, часовите на одделенската заедница, родителските средби, планирање и изготвување на тестови... )

### 16.3 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на остварено со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Согласно законот за основно образование самоевалуацијата на училиштето е спроведена во периодот од две наставни години (септември 2022год.-јуни 2024год.)
Одлуката за отпочнување на самоевалуација за периодот 2022-24 год. е донесена од страна на Училишниот одбор на 25.09.2022 год., врз основа на која директорот на училиштето донесе решение за именување на членови на комисијата за спроведување на самоевалуацијата на училиштето 2022-24год. По донесената одлука на Училишниот одбор на ден започна двегодишниот процес на самоевалуација за 2022-24 година.

## 17. Безбедност во училиштето

За непречено одвивање на воспитно-образовниот процес од особена важност е сите субјекти во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно. Со цел создавање на безбедни услови за учење и работа во училиштето се преземаат мерки и активности за

заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица. Во училиштето постои видео надзор, физичко обезбедување и дежурни наставници. Документите со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа: Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи; План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи; План за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште; Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи; Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи; континуирано се ажурираат и дополнуваат.

## 18. Грижа за здравјето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.
Во училиштето се спроведуваат и интерни работни акции за средување на работното катче. Училиштето презема активности за организирање едукативни предавања и работилници во насока на унапредување и заштита на физичкото и ментално здравје на учениците.
Од страна на Црвениот Крст на град Скопје за 40 ученици беше спроведена Обука за укажување прва помош.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Во текот на целата година се води грижа за исправноста и функционалноста на санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични нетоксични средства. Во санитарниот простор има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува, а мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно уреден со поставени корпи за отпад.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Школска медицина – Автокоманда – Поликлиника Ченто; Стоматолошка ординација – ЈЗУ Автокоманда, Републички завод за здравствена заштита – одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.
Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: 1, 3, 5, 7 и 9 одделение, кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од 1 до 6 одделение, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.

За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ „Автокоманда“ со одделенски раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.
Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

**18.3. Вакцинирање**

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.
Вакцинирањето се врши во амбулантата „Автокоманда“ во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од 1 до 5 одделение, а за учениците од 6 до 9 одделение, одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.
- 1 одделение, за учениците со навршени шест години - ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит);
- 2 и 3 одделение - ревакцина DT Polio (дифтерија,тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина;
- 7 одделение вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.

Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
-9 одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.
Со оглед на работата во услови на пандемија со КОВИД 19, во целокупниот период кога наставата генерално се одвиваше онлајн, систематските прегледи, стоматолошките систематски прегледи и вакцинацијата се одвиваа според однапред изготвен план и протокол и според указите од страна на Министерството за здравство, така што во учебната 2022/2023г. на систематски преглед беа повикани учениците од првите оделенија, за вакцинација (MRP, DT polio) беа повикани учениците од првите (MRP), вторите и деветтите оделенија (DT polio), а на систематски стоматолошки преглед и залевање заби беа повикани учениците од вторите и четвртите оделенија.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Училиштето ги планира и реализира активностите за подигање на свеста за здрава храна како и подигање на училишниот активизам и промоција во средината со активно вклучување на родителите. Кампањата која има за цел да ја подигне свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна ги вклучува сите ученици, а беа спроведени работилници за изработка на рецепти, изработување на ликовни и пишани творби, едукативни предавања за правилна исхрана итн.
Исхраната во училиштето се организира согласно Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

**Преглед на поведението и изречените педагошки мерки на учениците**

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 106 | 89 | 88 | 98 | 82 | 91 | 99 | 79 | 91 | 823 |
| Добро | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Незадовол. | | | | | | | | | | |

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Педагошка мерка | | | | | |
| усмена опомена од одд. раководител | | | | | | 4 | 5 | | | 9 |
| писмена опомена од одд. раководител | | | | | | | 1 | | | 1 |
| укор | | | | | | 1 | | 1 | | 2 |
| преместување во друга паралелка | | | | | | | | | | |
| добро поведение | | | | | | | | 1 | | 1 |
| незадоволително поведение | | | | | | | | | | |

Во текот на целата учебна година од страна на психологот на училиштето согласно Законот за основно образование (членови 76, 77 и 78),Правилникот за советување родители на ученици од основни училишта,Програмата за советување ученици во основни училишта и согласно потребите,се одвиваше советување на родители и ученици.За истото се изготвија месечни и неделни планови и се водеше документација пропишана со прирачникот и програмата согласно критериумите дадени во истите( за родители и ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат намален успех во учењето и имаат несоодветно однесување).

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во рамките на предвидените активности во однос на естетското уредување на училиштето реализирани се следниве активности:

- Изработка на дрво од рециклирачки материјали по повод 21 Септември - Меѓународен ден мирот-во соработка со Меѓаши
- Уредување на училишните паноа тематски,за периодот од 25 Октомври до - 28 Октомври кога се предвидени активности за одбележување на патрониот празник (ликовен и литературен конкурс)-презентација за ликот и делото на нашиот патрон
- Уредување на училишните паноа тематски по повод Одбележување на 20- ти Ноември- Светски ден на детето
- Мурал со бои- естетско уредени училници и ходници во училиштето
- Уредување на училишните паноа со новогодишни мотиви од страна на наставниците,како и изработки и креации од учениците
- Уредување на училишните паноа со најубави креации на мартинки од учениците по повод ПРВИ МАРТ- ДЕН НА МАРТИНКИТЕ.
- Мурал со пластични капачиња по повод 22 Март-Светски ден на водата
- Уредување на училишните паноа со креација на првоаприлска маска изработена според сопствена замисла,идеја и желба на учениците по повод ПРВИ АПРИЛ - ДЕН НА ШЕГАТА.
- Уредување на училишните паноа по повод 21 Март Ден на екологијата со изработки од рециклиран материјал (пластично шише,хартија,цевки и сл.) , литературни и ликовни творби со мотив од Екологијата
- Уредување на училишните паноа по повод 22 Април - Ден на планетата Земја со изработки (литературни и ликовни творби).
- Уредување на училишните паноа со велигденски украси и изработки

Одделенски наставник: Руменка Дејанова
Тим за естетско и фукционално уредување

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Изготвена е годишна програма за професионален развој, а сите реализирани активности се соодветно евидентирани и документирани. Секој наставник има изготвено личен план за професионален развој и на крајот од учебната изготвува извештај за реализација на истиот. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое е заведен и следен нивниот личен професионален развој.

Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие. Преку посета на отворени и нагледни часови, меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми, размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали, размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници се

одвива хоризонталното учење како еден од начините на професионален развој на воспитно-образовниот кадар.

### 20.1. Активности за професионален развој

**Посетени обуки, семинари и работилници во учебната 2022-23 година, согласно училишната програма за професионален развој на ООУ,,Стив Наумов"- Скопје**

- Обука **„ Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми"**, во организација на Академија ЦЕС, реализирана од Марика Балабанова, посетена од сите оддленските наставници во училиштето
(7,8 ноември 2022 г.).
- Обука **„ Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата "**, во организација на Академија ЦЕС, реализирана од Гордана Блажевска Спиридонова, психолог во СУГС ,,Никола Карев"- Скопје, посетена од сите предметни наставници во училиштето (7,8 ноември 2022 г.).
- Обука на тема **„ Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибер насилство и сл. ",** во организација на Бирото за развој на образованието, посетена од стручните соработници во училиштето
(ноември 2022 г.).

- Обука **„ Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма"**, реализирана од Бирото за развој на образование со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ, која ја следеа сите членови на инклзувниот тим на нашето училиште (23, 24 ноември 2022 г.).
- Обука **„ Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата"**, реализирана од стручните соработници м-р Биљана Василевска- педагог и Теовска Билјана – специјален едукатор и рехабилитатор, посетена сите одделенски и предметни наставници во училиштето (17 јануари 2023 г.).
- Обука „ **Имплементација на подзаконскиот акт усвоен од МОН – Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување** ", во организација на Бирото за развој на образованието, посетена од стручните соработници во училиштето (6 јуни 2023 г.).
- **ЕДУИНО вебинари:**,,Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети", „Развивање креативни вештини преку визуелни приказни ", ,,Методи и пристапи за учење преку решавање проблеми со фокус на климатските промени", ,,Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта", ,,Рана интервенција, достапни опции и услуги (ICF)", ,,Стимулација на говор во рана возраст + Cboard", ,,Инклузивни тимови во градинка (искуства и следени чекори) + водич за инклузивни практики", ,,Предизвикувачко однесување – справување и добри практики", ,,Едуино 2Д лабораторија – ресурс за искуствено учење" , ,, Нови медиуми и социјални мрежи",„Родителите и децата од дигиталната генерација", „Визуелни дезинформации и фотофорензика", „Говор на омраза во онлајн медиумите", „Претставувањето во медиумите – стереотипи и предрасуди", реализирани од од реномирани експерти и наставници, следени од одделенски и предметни наставници, директорот и стручните соработници, (септември 2022 – април 2023 г.).

**Вебинари реализирани од Здружението на одделенски наставници на РС Македонија „Учител”**:,,Професионален развој за јакнење на компетенциите на наставниците – соработка помеѓу менторот и приправникот”, „Психолошките аспекти на врсничкото насилство“, ,,Креативни пристапи за развивање на критичко размислување во наставата по македонски јазик”, реализирани од од реномирани експерти и наставници, следени од одделенски наставници, (февруари – мај 2023 г.).

Одговорен наставник:Татјана Арсова

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Постојаната, континуирана соработка на релација семејство – воспитно образовна институција, родител-наставник придонесува за развој на ученикот, за унапредување на работата на наставникот, за јакнење на улогата која ја има родителот во развојот, воспитувањето и едукацијата на сопственото дете. Потребата за активно вклучување на родителот, за партнерство со училиштето произлегува од фактот што родителите се првите воспитувачи, кои на наставниците можат да им ги дадат најкорисните информации кои ќе се база, основа за насочување и преземање на идните заеднички акции за добробит на секој ученик. Партнерството, негувањето на соработката е предизвик за секој наставник кој се обидува да го трасира патот кон изнаоѓање на услови, облици, средства за остварување на конструктивна соработка. Образовната политика на училиштето е фокусирана на обезбедување на висок степен на учество на родителите во одлуките кои се донесуваат, а се однесуваат на воспитанието и образованието на децата/учениците, овозможувајќи им на тој начин поголеми можности за постанување партнери во работењето на воспитно-образовните институции. Со тоа се јакне и нивната одговорност и грижа за развојот и напредувањето на сите ученици. Соработката со родителите се темели на принципите на партнерство, рамноправност, взаемна почит и доверба.

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во учењето, воннаставните активности и работата на училиштето

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта.Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор, како и во Училишниот инклузивен тим. Преку Советот на родители се следи воспитно-образовната работа во училиштето, се даваат предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес, се даваат предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници – родители, се учествува во изготвување

на правилници и други работи во интерес на успешноста на работата на училиштето. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на родителите/старателите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Преку Училишниот одбор во кој членуваат тројца претставници од Советот на родители има се дава можност на родителите да учествуваат во донесувањето на одлуки значајни за работата на училиштето, наставата и воннаставните активности.

На родителски средби, родителите се запознаа со успехот и поведението на учениците, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваа насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2022/2023 година планираните редовни родителски средби беа реализирани преку Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето креира партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво. Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано ја информира јавноста за својата работа. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.

Интерната комуникација ги опфаќа сите видови комуникативни активности меѓу вработените во училиштето.

Интерната комуникација во училиштето се реализираше преку одржување на Наставнички и Одделенски Совети на кои се презентираа извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците, се споделуваа информации за проектите и активностите во кои е вклучено училиштето. Одделенските и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваа информации, споделуваа искуства, се информираа за промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции. Училиштето по пат на соопштенија, огласни табли, флаери, плакати, билтени навремено ги информираше учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите. На почетокот на учебната година родителите на учениците првачиња имаа можност преку флаери да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. Ученичкиот Парламент согласно програмата за работа најмалку еднаш во месецот одржува состаноци и работилници на различни теми. Претстедателите на секоја паралелка навремено ги известуваат своите соученици за информациите и сознанијата кои ги стекнале на состаноците. Училиштето редовно ги информира родителите/старателите, за целокупната воспитно-образовна работа на училиштето и во согласност со тоа развива цел спектар на форми со кои тоа ќе го реализира.

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на

знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. На веб страната на училиштето https://ou-stivnaumov.edu.mk се објавуваат годишната програма за работа на училиштето, извештаите од реализација на годишната програма, ивештаи од спроведена самоевалуација на училиштето, развојни планирања и завршни сметки. Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко: институции од областа на образованието, институции од областа на културата, невладини организации, спортски друштва, здравствени организации, медиуми и др.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на реализацијата на годишната програма за работа на училиштето се оствари согласно активностите утврдени во планот за следење

| Приоритетни подрачја за следење | Цел | Одговорни лица | Начин и време на следење | Очекувани резултати | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа** | Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Директор, стручни соработници , заменик директор | -Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата<br>-Август, ноември,февруари, мај | Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во училиштето | Директор<br>Наставници,<br>Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на учениците** | Подобрување на успехот кај учениците | Одд. и предмет. наставници и БРО преку одговорен советник | Усно испитување, писмени работи , тестови, практична работа,<br>тековни следења<br>Континуирано | Подобрен успех и повисоки резултати | Стручни соработници<br>Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците** | Зголемено користење на современи методи и техники во наставата | Директор, стручни соработници , заменик директор | Посета на наставни часови, примена на инструмент за следење на наставата<br>Октомври, декември, март, мај | Успешно изведување на наставна дејност и користење на современи методи и техники | Директор,<br>Стручни соработници<br>наставници |
| **Перманентно стручно** | Подобрување на квалитетот | Стручни активи, | Состаноци на стручни активи, | Постојано развивање | Директор<br>Тим за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **усовршување на раководниот и наставниот кадар** | во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса | Предавачи од акредитирани институции, БРО и др. | отворени часови<br>посета на семинари,<br>обуки и самообразование<br>Согласно програмите на стручните активи | на компетенциите на кадарот во училиштето заради одржување на висок | професионален развој<br>Стручни соработници |
| **Водење на педагошка евиденција и документација** | Уредно водење на педагошка евиденција и документација | Директор, стручни соработници, заменик директор, одговорен советник при БРО и Просветен инспекторат | Увид во педагошката евиденција и документација<br>Септември, ноември,февруари, мај | Точно, навремено, прецизно внесување | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Одговорни наставници |
| **Користење на информатичко комуникациска технолологија во настава** | Зголемување на искористеноста на компјутерите во наставна и воннаставна дејност | Директор, стручни соработници, заменик директор | Посета на наставни часови<br>Октомври, декември, март, мај | Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници |
| **Изработка на извештаи, анализи и информации** | Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето | Директор, стручни соработници, задолжени наставници | Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови<br>Тромесечно , полугодишно и годишно | Подобар квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Родители,<br>Ученици, |
| **Реализација на годишна програма** | Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето | Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Локална зедница одговорен советник при БРО | Состаноци , анализа на извештаи,<br>Програма за следење<br>Континуирано | Реализирана програма | Општина,<br>МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на училиштето

Евалуацијата на Годишната програма за работа го вклучува квалитетот во работата, односно придонесува за воочување на силните и слаби страни во работењето на училиштето, а добиените резултати овозможуваат поставување приоритетни подрачја за следната учебна година.

***Области на евалуација :***

- Наставен план и програма
- Постигања на ученици
- Учење и настава
- Поддршка на ученици
- Училишна клима и односи во училиштето
- Ресурси
- Управување, раководење и креирање политика

***Индикатори за секоја област:***

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на образовните потреби на учениците
- Степен на инклузивност во училиштето
- Оценување, како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците
- Демократска култура во училиштето

За евалуација на работата на училиштето се прибираа повеќе индикатори, односно докази: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата...

## 25. Заклучок

Од евалуацијата на Годишната програма за работа и на ООУ ,,Стив Наумов,,- Скопје од учебната 2022/2023 година врз основа на добиените податоци од Извештајот за работата во тековната година произлегоа следниве констатации и насоки за работа во идната учебна година:

- Условите во кои работи училиштето се во согласност со Законот за основно образование на Р.Македонија и успешно се планираше и организираше воспитно образовниот процес, со почитување на сите протоколи, насоки и упатства од МОН;
- Во текот на наставната година извршени се увиди во работењето на училиштето од страна на одговорните инспектори при ДПИ, кои констатираа доследност во реализирањето на наставните програми и извршувањето на законските одредби на ниво на сите сегменти на работењето на училиштето.

- Стекнатите сознанија од посетените семинари, обуки и работилници наставниците ги инплементираа во наставата со цел унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес.
- Континуираното одржување на нагледни и отворени часови и состаноците и работилниците на ниво на стручните активи придонесоа за подобрување на тимското работење на наставниот кадар а воедно дадоа и придонес за хоризонтално учење.
- Формативното оценување, континуираното давање на ППИ, изготвувањето објективни тестови на знаења и планирањето и задавањето домашни задачи ќе продолжи како редовна практика за што пообјективно следење на напредокот и мотивираноста на учениците за повисоки постигања.
- Примената на современи техники на учење и поучување, како и современи методи и форми во наставата кое придонесува за развивање на критичко мислење и поголема креативност кај учениците останува училишен приоритет.
- Се почитуваа индивидуалните можности и способности на учениците за што се задаваа задачи со различно ниво на сложеност, примена на диференциран пристап во наставата и се изготвуваа индивидуални образовни планови за децата со посебни образовни потреби.
- Унапредување на инклузивните процеси преку проекти за поддршка на инклузивното и интеркултурно образование
- На учениците им се даде можност преку часовите на одделенската заедница и состаноците на Ученичкиот парламент на училиштето да учествуваат во донесување на одлуки кои се однесуваат на животот и работата во училиштето, а се од нивен интерес.

Училиштето ќе продолжи да го промовира принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето со што ќе се овозможи учениците активно да учествуваат во сите активности во училиштето. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, како и градење механизми и процедури кои ќе им овозможат на учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Во иднина преку активностите во рамките на проектите кои ќе се реализираат во училиштето ќе се продолжи со активно вклучување на сите ученици, родители и воспитно-образовен кадар и локалната заедница со што ќе се придонесе за подобрување на постигањата, меѓуврсничка поддршка, спречување на појавите на насилно однесување и дискриминација, почитување на различностите, промовирање на мултикултурализам...

Очекуваме тимското делување на релацијата наставник-ученик-родител во иднина да донесе уште поголеми резултати во интерес на подобрување на постигањата и однесувањето на учениците преку:

- Редовно изведување на дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности со цел да се влијае на успехот, редовноста , личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците.

- Континуирана примена на современи стратегии и техники за учење и поучување, методи и форми за работа за унапредување на наставата, како и развивање на критичко мислење кај учениците.
- Стекнување компетенции кои се однесуваат на дигиталната писменост, за комуникација и соработка во рамки на училиштето и вон училиштето, како и за етичко и безбедно користење на дигитална технологија во секојдневниот живот.

Скопје, 05.07.2023 год

Директор

_____

/ Елизабета Јовановска /

Училишниот одбор на Општинско Основното училиште „ Стив Наумов “ Скопје на седницата одржана на ден 13.07.2023 година ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште
СТИВ НАУМОВ
Бр. 02-267/2
13.07.2023 год.
Скопје, Општина Гази Баба

# О Д Л У К А

Член 1

1. Се усвојува едногласно годишниот извештај за работата на ООУ „ Стив Наумов “ за учебната 2022/2023година

Член 2

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето

УЧИЛИШЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ

/ Шенај И. Кутај /

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Александра Петковска Анастасов

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-49/43 од 05.07.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ во учебната 2022/2023 година

**Скопје, јуни 2023год**

## ПОЈДОВНА ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Појдовни основи за изготвување на годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023година се:

- Концепција за работа во основното образование во РМ,
- Законот за основно образование
- Годишна програма за работа на училиштето,
- Годишните програми за работа на директорот, психологот, педагогот, дефектологот и наставниците
- Програмите за работа на стручните активи.

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **Име на училиште** | **ООУ „Григор Прличев“** |
| **Адреса,општина, место** | **Ул. „Гемиџиска“ бр.57, Гази Баба, Скопје** |
| **Телефон** | **02 5 126 834** |
| **Фах** | **02 5 126 834** |
| **е-маил** | **oougrigorprlicev@gmail.com** |
| **Основано од** | **Совет на општина Гази Баба** |
| **Верификација-број на актот** | **Акт.бр.14 - 1207/1** |
| **Година на верификација** | **1986 година** |
| **Јазик на кој се изведува настава** | **македонски јазик** |
| **Година на изградба** | **2015** |
| **Тип на градба** | **цврста градба** |
| **Површина на објектот** | **2053.3 м2 (-1= 62.0м2; 0=1031,1м2; +1 = 960,2м2)** |
| **Површина на училишниот двор** | **14,096 м2** |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | **1,900м2** (680м2-фудбалско игралиште,120м2-одбојкарско игралиште, 280м2 кошаркарско игралиште, 130м2-помошно кошаркарско игралиште и 690м2-тениско игралиште) |
| **Училиштето работи** | **Прва смена** |

| | |
|---|---|
| **Начин на загревање** | **централно греење (ЕЛЕМ)** |
| **Број на одделенија** | **I – IX** |
| **Број на паралелки** | **17** |
| **Број на смени** | **една смена(прва)** |

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | **1** |
| **Број на подрачни училишта** | **/** |
| **Бруто површина** | **/** |
| **Нето површина** | **/** |
| **Број на спортски терени** | **5** |
| **Број на катови** | **2** |
| **Број на училници** | **18** |
| **Број на помошни простории** | **17** |
| **Училишна библиотека** | **1** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **централно греење** |

## •*Материјално технички услови*

Во текот на учебната година со цел подобрување на условите за работа и поквалитена настава беа реконструирани соблекувалните во фискултурната сала. Беа набавени 17 лап топи за наставниците, два принтера, нагледни средства за одделенските наставници и спортски реквизити за часовите по физичко и здравствено образование и мултифункционален фотокопир и принтер.

## •*Структура на училиштето*

| | |
|---|---|
| **Членови на училишниот одбор** | **Претседател :** Костадин Андов (родител)<br>**Претставници од Наставничкиот совет**: Ива Количев и Пандорка Јовчевска (одделенски наставници), Христијан Христовски (предметен наставник);<br>**Претставници од Совет на родители:** Марина Капевска, Гоце Петковски, Костадин Андов<br>**Претставник од основачот**- Весна Димитровска<br>**Претставници од Ученичкиот парламент**:Марко Петковски 8а одделение и Илина Петковска од 9а одделение. |
| **Членови на совет на родители** | Нада Димитриевска, Костадин Андов,Кристина Симјановска, Јулијана Ристова Сарделис, Елена Гиновска, Алдо Али,Сања Пецевски, Весна Неданоска-Калајџиска, Виолета Груевска, Билјана Димова, Силвана Блажевска, Милица Миовска, Антонија Поповска, Гоце Петковски, Марина Капевска, Драган Трајков и Анета Менчова |
| **Стручни активи** | Актив на одделенска настава- Претседател: **Николета Нестор**<br>Актив на природно-математичка група-Претседател: **Филип Ацевски**<br>Актив на општествено- јазична група-Претседател: **Јулија Никовска-Пешевска** |
| **Одделенски совет** | Одделенски совет на одделенска настава -записничар **Ленка Пешевска**<br>Одделенски совет на предметна настава -записничар **Мартина Христова** |
| **Членови на ученичка заедница/ученички парламент** | Ученици II-IX одделение<br>Претседател: **Илија Димитровски VIIIб**<br>Заменик претседател: Леа Стојмановска VIIIа<br>- одговорни се стручна служба |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## од работата на Училишен Одбор на ООУ „Григор Прличев“
**за 2022-2023 година**

Извештајот се однесува за работата на Училишниот Одбор **од Септември 2022 до Јуни 2023 година.** Состаноците на УО се одвиваа преку платформата ZOOM, платформата TEAMS комуникација преку Вибер групата за членовите на УО, електронска пошта и телефонска комуникација.

Членови на Училишниот Одбор:

| | |
|---|---|
| •Претставници од **наставниците и стручните соработници** | •**Ива Количев**- член,<br>•**Пандорка Јовчевска** – член,<br>•**Христијан Христовски** -записничар и член. |
| •Претставници од **Советот на родители** | •**Костадин Андов** -претседател на Училишен одбор,<br>•**Марина Капевска**- заменик претседател на Училишен одбор<br>•**Гоце Петковски-**член, |
| •Претставник од **основачот, општината** | •**Весна Димитровска** |
| •Претставници од **Ученичкиот парламент** (без право на глас) | •**Илина Петковска**<br>•**Марко Петковски** |

Во овој период донесени се следниве **одлуки, предлог-одлуки, забелешки и заклучоци**:

1. Одлука за **Предлог за избор на директор на Општинското Основно Училиште Григор Прличев“, Скопје - Александра Петковска Анастасов;**
2. Разгледување на **Решение број 08-4597/2 од 28.07.2022 година** од Градоначалник на Општина Гази Баби и **Решение број 08-4597/3 од 28.07.2022 година** од Градоначалник на Општина Гази Баба**;**
3. Одлука за **исплата на еднократен надоместок на лице Филип Ацевски за изготвување распоред на часови за учебна 2022/2023 година**, за ООУ „Григор Прличев“ – Скопје;
4. Одлука за **утврдување на висината за издавање училишен простор: училници, хол и книжарница во учебната 2022/2023 година** во ОУ „Григор Прличев“ – Скопје;

5. Предлог-Одлука за **усвојување и одобрување на реализацијата на сите планирања од Програма за организација и изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците** за учебна 2022/2023 година;
6. Информирање за **Заклучоците од Советот на Општина Гази Баба** по однос на усвојување на Извештајот за работењето на ООУ "Григор Прличев" за учебната 2021/2022 година; Одлуката за донесување на Годишната програма за работа на ООУ "Григор Прличев" за учебната 2022/2023 година и Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2022/2023 година;
7. Разгледување на извештаи и давање **предлог-одлуки за кандидати** за работни места за психолог и предметни наставници по објавени јавни огласи;
8. Предлог - одлука за **формирање петчлена комисија за спроведување постапка за изведување ученички екскурзии за учебна 2022/2023 година** во ООУ „Григор Прличев", Скопје;
9. Одлука за **утврдување-одредување лимит на службен телефон** на директор-3.000,оо денари, стручна служба 700,оо денари и секретар 1.200,оо денари за 2022-2024 година;
10. Одлука за прифаќање на предлогот за **отпис и расходување на основни средства - неупотребливи учебници** при ООУ,, Григор Прличев", Скопје, да се отуѓат по пат на продажба;
11. Одлука за **намалување на месечната цена за издавање** на училишна просторија – книжара под закуп;
12. Одлука за **отпочнување на пописот за 2022 гоина** на 01 декември 2022 до 31 декември 2022 година;
13. Одлука **да се вработи еден вработен од ненаставен кадар хигиеничар поради зголемен обем на работа од 01.12.2022 година** за што ќе му се исплаќа од буџетската сметка на ООУ „Григор Прличев", Скопје;
14. Предлог – одлука **за благајнички касов максимум** за 2023 година во износ од 30.000,оо денари;
15. Одлука за одобрување финансиски средства за 2023 година, **за посетување на семинари и обуки во земјата и во странство** за: директор, стручна служба, наставен кадар и администрација (професионална ориентација);
16. Одлука за одобрување финансиски **средства при патување на службен пат во земјата и странство да се користи сопствено возило, такси служба за итни и неодложни работи и за автобуски билет** за потребите на училиштето за 2023 година;
17. Одлука да се користи **месечно автобуски превоз за службени цели** во износ од 1.000,00 денари, а автобуската карта (електронскиот паричник ) да се надополнува предвреме според можностите и потребите во 2022 година;
18. Одлука за **исплаќање котизација за учество на натпревари на учениците од училишната сметка за 2023 година;**
19. Одлука за плаќање **надоместок на лицето одговорно за јавни набавки** во 2023 година;
20. Одлука за **усвојување на Годишниот план за јавни набавки** на училиштето за 2023 година.
21. Одлука за усвојување на Извештај број 02-87/2 од 31.12.2022 година од Централна пописна комисија за **извршениот годишен попис на средствата и изворите на средствата** со состојба 31.12.2022 година на ООУ „Григор Прличев", Скопје.

22. Одлука за усвојување на **Финансовиот извештај** за Годишната сметка 777010390590318 – буџетска сметка и 777010390578713 самофинансирачка сметка за 2022 година на Општинското основно училиште „Григор Прличев“ - Скопје.
23. Врз основа записникот со број 09-25/1 и одлуката со број 09-25/1/1 од 06.02.2023 година, од Советот на родители при ООУ ‘‘Григор Прличев“- Скопје, избрани се **нови членовите на Училишниот одбор**, при што едногласно се верификувани мандатите на новите претставници од Советот на родители: Костадин Андов, Гоце Петковски и Марина Капевска.
24. По пат на тајно гласање, изгласан е единствениот предлог - кадидат за **претседател на Училишниот одбор** при ООУ ‘‘Григор Прличев“- Скопје од редот на претставниците од Советот на родители, **Костадин Андов,** предложен од членот Пандорка Јовчевска, додека Марина Капевска и понатаму продолжува да ја обавува функцијата потпретседател на Училишниот одбор и во новиот мандат.
25. Одлука за формирање **петчлена комисија за спроведување самоевалуација** за периодот 2021 - 2023 година во ООУ ‘‘Григор Прличев“- Скопје, во состав: 1 Елена Трипуновска Максимовска-педагог, 2. Благица Секуловска-наставник,3.Валентина Славковска-наставник, 4. Марина Капевска - родител и 5.Костадин Андонов - родител
26. Одлука за формирање **тричлена комисија во сост**ав: Дарко Ангелов (наставник), Гоце Стојаноски (домаќин) и Перица Јовановски (хаусмајстор), **со цел спроведување вонреден попис на компјутерската опрема во училиштето**.
27. Одлука за **плаќање превоз на ученици и котизација за учество на ученички државни натпревари** надвор од Скопје.
28. Одлука за **формирање стручен тим за подготвка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности** на учениците на ООУ „Григор Прличев“, Скопје во состав:1.Александра Петковска Анастасов-директор, 2.Мартина Христова-предметен наставник, 3.Ива Количев-одделенски наставник, 4.Лорета Станковиќ-предметен наставник и 5.Сузана Танева-одделенски наставник
29. Одлука за **одобрување парични средства за првенец на генерација 2014-2023 година во висина до 9 илјади денари.**

**Друго:**

- Разгледување на Годишна програма за работа Училишниот одбор за 2022/2023 година;
- Разгледување и усвојување на на Годишна програма за работа ООУ „Григор Прличев“ - Скопје за 2022/2023 година;
- Разгледување на Записник од состанок на Ученички парламент за избор на ученици претставници во Училишен одбор без право на глас – Илина Петковска и Марко Петковски;
- Запознавање со реализацијата на наставните планови и програми, за постигнатиот успех, редовност и поведение на учениците, статистички податоци и компаративна анализа;
- Разгледување и усвојување на Полугодишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година.

•Разгледување на записници од одржаните состаноци на Советот на родители при ООУ ‘‘Григор Прличев‘‘- Скопје.
•Дискусии за работи поврзани со наставата и спроведување на наставата.

**Претседател на Училишен Одбор,**
Костадин Андов

## Годишен извештај за работата на Советот на родители при ООУ „ Григор Прличев“ за учебната 2022/3г.

Советот на родители го сочинуваат родители на ученици претставници од секоја паралелка. Родителите се еден интегрален дел на училиштето, тие помагаат во целокупната работа на училиштето како и во планирањето и релизацијата на Наставниот план и програма. Тие се вклучени во процесот на позитивните промени кои се случуваат во нашето училиште.

**Раководството на Советот на родители го сочинуваат:**

**-претседател**: Марина Капевска-претставник од VIII б
**-заменик претседател**: Весна Недановска Калаџиски -претставник од IV б
**-записничар**: Анета Менчова -претставник од IX б

Во текот на од учебната 2022/2023 год. се одржаа 4 состаноци, на кои присуствуваше директорот, стручни соработници, предметни и одделенски наставници. На истите се дискутираше по повеќе точки:

**На состанокот на Советот на родители одржан на 13.09 2022 година:**

•Внесување на нови членови во Совет на родители;

•Избор на раководство на Советот на родители;

•Избор на комисии за:
- осигурување на учениците,

- ученички екскурзии,
- фотографирање на учениците;

**На состанокот на Советот на родители одржан на 16.11.2022 година:**

•Информации за:
- реализацијата на наставниот план и програма за Првиот квартал од учебната 2022/2023 год.
- редовноста и поведението на учениците за Првиот квартал од учебната 2022/2023 год.
- постигнатиот успех на учениците за Првиот квартал од учебната 2022/2023 год.

**На состанокот на Советот на родители одржан на 06.02.2023 година:**

•Информации за:
- разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2022/2023 год.

•Избор на членови претставници во Училишниот одбор од редот на Советот на родители

**На состанокот на Советот на родители одржан на 11.05.2023 година:**

•Информации за:
- реализацијата на наставниот план и програма за Третиот квартал од учебната 2022/2023 год.
- редовноста и поведението на учениците за Третиот квартал од учебната 2022/2023 год.
- постигнатиот успех на учениците за Третиот квартал од учебната 2022/2023 год.

На овие точки претходеа точки за усвојување на Дневен ред и Записник оп претходен состанок на Совет на родители и како последна точка на секој од состаноците точка за Тековни работи. Во тековни работи водени се дискусии на повеќе теми иницирани од родителите
- реализација на наставата според Наставниот план и програма,
- реализација на Воннаставните активности,
- хигиената и одржување на хигиената во просториите во училиштето и училишниот двор,
- носењето на ученички униформи кои од следната учебна година ќе бидат обезбедени за секој ученик од страна на општина Гази Баба,

- толиот оброк и ужинките за учениците, како и за нивни измени во однос на подобрување и прилагодување на барањата и потребите на учениците и родителите,
- примената на ИТ опрема во наставата,
- обезбедувањето и безбедноста на учениците,
- приемни денови на наставниците,
- промоција на училиштето,
- реновирање на спортските соблекувални,
- реализација на излети и екскурзии на учениците,
- учество во хуманитарни акции,
- учество на натпревари како и освоени награди од страна на учениците,
- избрани членови претставници од Советот на родители во Училишниот одбор се: Костадин Андов, Гоце Петковски и Марина Капевска,
- итн.

**Претседател на Совет на родители,**
Марина Капевска

**Записничар,**
Анета Менчова

**Годишен извештај**
**за работата на стручниот актив на одделенска настава за учебна 2022/2023 г.**
**на ООУ „Григор Прличев“, Скопје**

Стручниот актив на одделенска настава го сочинуваат следните членови:

| Ред. број | Наставник | Предмет | Улога |
|---|---|---|---|
| 1. | Николета Нестор | Одделенска настава | претседател |
| 2. | Валентина Славковска | Одделенска настава | заменик |
| 3. | Сузана Аксеновска -Димовска | Одделенска настава | записничар |
| 4. | Пандорка Јовчевска | Одделенска настава | член |
| 5. | Ленка Пешевска | Одделенска настава | член |
| 6. | Христина Јанева | Одделенска настава | член |
| 7. | Славица Мојсоска | Одделенска настава | член |
| 8. | Ива Количев | Одделенска настава | член |
| 9. | Сузана Танева | Одделенска настава | член |
| 10. | Благица Секуловска | Одделенска настава | член |
| 11. | Соња Мицевска-Тоточевска | Одделенска настава | член |
| 12. | Светлана Николовска | Одделенска настава | член |
| 13. | Драган Печевски | Одделенска настава | член |

Во учебната 2022/2023 година, според планираната годишна програма на активо се реализираа следниве активности:

| Р.бр. | Тема | Реазлизирани цели | Тип | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Насоки за изготвување на Годишна програма за I одделение | Се споделија искуства | Лаптоп ,презентација | Сузана Танева, Соња Мицевска-Тоточевска Славица Мојсоска | 21.08.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Спречување и борба против трговијата со деца | Кај наставниците се подигна свеста за проблемот **Трговија со деца**, се запознаа со начините на идентификација, откривање и пријавување, како и со улогата на училиштето во работата со оваа проблематика | презентација | педагог дефектолог Хилда Стевковска | 23.08.2022 |
| 3. | Компјутерски систем Хардвер и софтвер | Наставниците се запознаа начиниите,медотите и техники за реализација на наставата | Компјутер презентација Отворен час | Валентина Славковска, Ленка Пешевска | 07.09.2022 |
| 4. | Споделување искуства од реализирање на воспитно –образовниот процес во IV одд. според новата Концепција за основно образование | Наставниците се запознаа со искуствата произлезени од промените во одвивањето на воспитно-образовната работа во IV одд., базирани на наставниот план и програма според новата Концепција за основно образование | лаптоп, прожектор, Интернет | Светлана Николовска | 20.09.2022 |
| 5. | Менаџирање на чуствата кај децата –гнев (направени се измени кај колешката) | Наставниците научија како да се справуваат со чувствата, особено со силните како што е гневот.<br>Научија техники за емоционална регулација кои можат да им помогнат на децата да одговорат на емоциите и околината околу нив со поголема контрола и вештина. | Презентација | Христина Јанева | 26.11.2022 |
| 6. | Десеминација – Еразмус+проект МКФ како алатка на решавање на проблемите во тимот околу детето во образовен контекст-Инклузија преку МКФ | Како да се реши проблемот со децата со инклузија во воспитно образовниот процес Алатки за решавање на проблемот . | Презентација | Марија Костоска | 24.04.2023 |
| 7. | Отворен час:Примена на техника ленти со реченици | Примена на иновативни техники.Усвојување на содржина на текст со техники ленти со реченици. | Презентација летни со реченици | Сузана А.Димовска | 05.04.2023 |
| 8. | Отворен час: Последователност на деновите во неделата | Наставниците се запознаа начиниите,медотите и техники за реализација на наставата | Лаптоп ,прожектор ,интернет | Пандорка Јовчевска | 17.05.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (отворен час) | | |

Напомена :Во содржините има некои мали измени од годишната програма на Стручниот актив.

Записничар,
Сузана А.Димовска

Претседател ,
Николета Нестор

## Годишен извештај
## за работата на стручниот актив на природно-математичката група на предметни за учебна 2022/2023 г.
## на ООУ „Григор Прличев“, Скопје

**За работата на Стручниот актив на природно - математичката група предмети во теко на учебната 2022/2023 година**. Овој актив го сочинуваат следниве членови: Тоше Столески – наставник по географија, Дарко Ангелов – наставник по математка, Христијан Христовски наставник по физичко и здравствено воспитување, Љубинка Стојменова - наставник по биологија и хемија, Филип Ацевски - наставник по информатика, Виолета Миновска — наставник по техничко, Мартина Христова – наставник по математика и физика и Даниела Денковска – наставник по природни науки.

Членовите на Стручниот актив на конститутивниот прв состанок, со гласање избраа ново раководство во состав: Филип Ацевски – претседател, Христијан Христовски – заменик претседател, Даниела Денковска – записничар, Дарко Ангелов - заменик записничар.

Членовите на активот заеднички ја составија програмата која ќе ја реализираат во текот на учебната 2022/2023 година и за која одлучија да биде составена приоритетно од работилници, мини – обуки и дисеминации, произлезени од актуелни теми, воглавно од областа на информатичко – комуникациската технологија и организирање на работата во тимови.

Стручниот актив на природно - математичката група предмети, со цел да се подобри, збогати и осовремени наставата опфатена со предметите од природно - математичката група, во предметна настава од VI до IX одделение, како и да се развие и продлабочи меѓусебната соработка, во форма на размена на идеи и искуства, а во согласност со годишната програма на училиштето, во текот на учебната 2022/2023 година ги реализираше следните активности:

| Тема | Реализатор | Дата | Постигнати цели |
|---|---|---|---|
| **Стручниот актив на природно-математичката група предмети** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Конституирање на раководството и изготвување стратегија и програма за работа на активот. | Сите членови | 30.08.2022 | Се изготви програма за работа на активот, која ќе соодветствува на актуелните потреби на наставниците и приоритетите на училиштето, заради полесно вклопување во новите насоки во наставата |
| Спречување и борба против трговијата со деца | Елена Т.Максимовска Катерина Натева Теова Хилда Стефковска | 02.09.2022 | Кај наставниците се подигна свеста за проблемот Трговија со деца, се запознаа со начините на идентификација, откривање и пријавување, како и со улогата на училиштето во работата со оваа проблематика |
| Езерата во Република Македонија | Тоше Столески | 12.10.2022 | Да се запознаат со поимот езеро, и поделбата на езерата, а потоа да ги запознае членовите со езерата во Република Македонија и нивните каратеристики . |
| Како и каде ја користиме енергијата во светот | Мартина Христова | 05.12.2022 | Да се запознаат со поимот енергија, какви видови на енергија постојат и како на економичен начин се користи енергијата |
| Согледување на биодиверзитетот и геодиверзитетот во заштитените подрачја во нашата држава – стручно предавање | Даниела Денковска | 17.02.2023 | Се стекнаа сознанија за целокупниот жив свет во нашата држава и географската распределба на истиот. Развиена креативност и свест за значењето на природата во заштитните подрачја |
| Инструменти за евидентирање, следење и вреднување во наставата по физичко и здравствено образование (спортски картон – ученичко досие) | Христијан Христовски | 23.02.2023 | Се запознаа наставниците со инструментите за следење на психомоторниот и функционален развој на учениците од одделенска настава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Креативен пристап кон кодирање, програмирање и примена на дигитални технологии со уредот Микро:бит | Виолета Миноска | 24.02.2023 | Наставниците да се запознаат со уредот: Микро:бит, основните алатки од програмата за користење на едноставна хардверска платформа и истата да ја применат на своите часови |
| Конвертор на валути и единици мерки | Дарко Ангелов | 14.03.2022 | Наставниците се запознаа со примената на конверторот на валути и единици мерки, користењето на валутите во секојдневниот живот и нивната примена. |
| Изработка на блог | Филип Ацевски | 21.04.2022 | Наставниците се запознаа со начин ите на изработка на блог, да го дизајнираат, да постават слики и текст и да може да комуницираат преку блог |
| Изработка на сопствени индикатори ‘’-<br>Тестирање на вашите индикатори<br>(отворен час) | Љубинка Стоименова | 05.05.2022 | Наставниците се запознаа со користење на современи форми и методи ,ИКТ (апликација -edu bum)<br>Лабараториски прибор, инструменти, ,модели<br>Потребни хемикалии<br>електронски обрасци |

Членовите на активот констатираа дека потребата од реализирање нагледни часови е надмината и одлучија дека програмата на активот за следното полугодие од учебна година треба да претрпи промени, во насока на вклучување на интегрирани теми од сродни подрачја и дисеминирање на тековни обуки и семинари.

**Претседател**
Филип Ацевски

**Записничар,**
Даниела Денковска

# Годишен извештај
# за работата на стручниот актив на општествено-јазичната група на предмети за учебна 2022/2023 г.
# на ООУ „Григор Прличев“, Скопје

**1. Состав** на **стручниот актив**

| Ред. Број | Наставник | Предмет | Улога |
|---|---|---|---|
| 1. | **Јулија Никовска Пешевска** | Ликовно образование | претседател |
| 2. | **Елена Тасевска** | Македонски јазик | записничар |
| 3. | **Фросина Димитровска** | Англиски јазик | член |
| 4. | **Елена Владева Апостолов** | Музичко образование | член |
| 5. | **Тереза Блажевска** | Германски јазик | член |
| 6. | **Лорета Станковиќ** | Историја | член |
| 7. | **Татјана Силјановска Гочкова** | Македонски јазик | член |
| 8. | **Хилда Стефковска** | Англиски јазик | член |

Во учебната 2022/23 година, според годишната програма од стручен актив на јазично- општествената група на предмети, реализирани се следниве теми:

| Ред. број | Тема | Ресурси | Реализирани цели | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Избор на раководство и конституирање на активот** | Членовите на активот со нивните знаења и способенсти | Избрано раководство и конституиран актив | Сите членови | 27. 06 .2022 |
| 2. | **Спречување и борба против трговијата со** | презентација | Кај наставниците се подигна свеста за проблемот Трговија со деца, се запознаа со | педагог дефектолог Хилда Стевковска | 23.08.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **деца** | | начините на идентификација, откривање и пријавување, како и со улогата на училиштето во работата со оваа проблематика | | |
| **3.** | **Видови перспектива-цртање** | Интернет,компјутер,репродукции | Наставниците се запознаа со видовите на перспектива | Јулија Никовска Пешевска | 16.09.2022 |
| 4. | **Посета на Музејот на македонската борба за самостојност** | Фотографии,музејски поставки од восочни фигури на личности од македонската национална историја,слики. | Се подобрија интерперсоналните односи | Лорета Станковиќ Јулија Никовска Пешевска Татјана Силјаноска-Гочкова | 13.11.2022 |
| **5.** | **Критичко размислување-куса презентација/ десиминација од посетена обука организирана од МОН и БРО** | Проектор, печатен материјал (листови со вежби и примери) | информативно презентирање на посетената обука за Критичкоразмислување, како и примена на техники, методи и различен пристап во презентирањето на темите, нивна обработка и увежбување. | Фросина Димитровска | 06.12.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Отворен час на тема:**<br><br>**Германизми во македонскиот јазик** | презентација | Наставниците и учениците се запознаа германизмите во нашиот јазик | Тереза Миновска | 02.02.2023 |
| **7.** | **Презентација на новинарска статија и посета на телевизиска куќа.** | Yootube, интернет, прожектор, училница. | Се проширија знаењата литературниот род- драма | Елена Тасевска | 07.04.2023 |
| **8.** | **Посета на Македонската филхармонија како дел од Деновите на македонска**<br><br>**музика** | фотографии | Се проширија знаењата за поимите филхармонија, симфонија, оркестар, инструменти, концерт, камерен оркестар, се поттикна интересот кон музиката, се овозможи полесно совладување на изучените наставни содржини преку пракса на посета на концерти во Македонска филхармонија, спознавање на македонските композитори | Елена Владева Апостолов | 29.05.2023 |

Изработил,
**Јулија Никовска Пешевска**

## Извештај за работата на одделенскиот совет од одделенска настава во учебната 2022/23 година

**Одделенскиот совет** за одделенска настава при ООУ „Григор Прличев“ го сочинуваат одделенските наставници, педагогот, психологот и дефектологот на училиштето. Одделенскиот совет го свикува и со него претседава директорот на училиштето.

Во текот на учебната 2022/23 година беа одржани 4 одделенски совети од одделенска настава.

Првиот беше одржан на **07 ноември 2022** година , вториот беше одржан на **12 јануари 2023** година, третиот на **05 април 2023** година и четвртиот на **15 јуни 2023** година на со следниов дневен ред:

1. Анализа на реализација на наставниот план и програма
2. Анализа на поведение и редовност на учениците
3. Анализа на постигнатиот успех на учениците.

На состаноците беа присутни директорката Александра Петковска-Анастасов, стручната служба (училишниот педагог, психолог, дефектолог) наставниците по природни науки,техничко образование и наставничката по физичко и здравствено образование.

Одделенските наставници се произнесуваа секој за своето одделение според дневниот ред, сите присутни на советите даваа мислења за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето.

**Записничар,**
Ленка Пешевска

## Извештај за работата на одделенскиот совет од предметна настава во учебната 2022/23 година

**Одделенскиот совет** за предметна настава при ООУ „Григор Прличев“ го сочинуваат предметните наставници, педагогот , психологот и дефектологот на училиштето. Одделенскиот совет го свикува и со него претседава директорот на училиштето.

Во текот на учебната 2022/23 година беа одржани пет одделенски совети од предметна настава.

Првиот беше одржан на **8 ноември 2022** година, вториот беше одржан на **12 јануари 2023** година,третиот беше одржан на **06 април 2023** година, четвртиот за учениците од 9 одделение на **15 јуни 2023** и петиот за учениците од 6-8 одделение на **16 јуни 2023** година со следниов дневен ред:

1. Анализа на реализација на наставниот план и програма

2. Анализа на поведение и редовност на учениците
3. Анализа на постигнатиот успех на учениците.

На состаноците беа присутни директорката Александра Петковска-Анастасов, стручната служба (училишниот педагог, психолог и дефектолог) и сите предметни наставници.

Класните раководители се произнесуваа секој за своето одделение според дневниот ред, сите присутни на советите даваа мислења за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето.

**Записничар,**
Мартина Христова

## Извештај за работата на Наставничкиот совет при ООУ „ Григор Прличев“ за учебната 2022/2023 година

Наставничкиот совет при ООУ „Григор Прличев“ е стручен орган во училиштето. Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

Во учебната 2022/2023 година се одржаа 22 состаноци на Наставничкиот совет. На состаноците присуствуваа директорката Александра Петковска Анастасов, педагошката служба (училишниот педагог, психолог и дефектолог) и сите одделенски и предметни наставници со одредени исклучоци поради оправдани причини. Наставничките совети ги планираше и со нив раководеше директорката на училиштето. Дневните редови беа поставувани од страна на директорот во согласност со потребите на училиштето утврдени во статутот на училиштето и истите беа едногласно усвојувани од страна на Наставничкиот совет. Состаноците се одржуваа со физичко присуство.

Во текот на учебната 2022/2023 година:

- Се разгледуваше повратното мислење од БРО за поднесените програми за слободни изборни предмети;

-Се планираа и организираа подготовките за почеток на учебната година (прием на првачиња, организација на работата, распоред на часови и поделба на задолженија, распределба на часови и класно раководство, работа на продолжниот престој, распоред за додатна и дополнителна настава);

- Се закажуваа родителските средби, се истакнуваше дневниот ред за истите и се даваа повратни информации родителските средби;

- Се формираа тимови за спроведување на самоевалуација;

- Информација за Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;

- Се разгледуваше реализацијата на наставниот план и програм за првиот квартал, првото полугодие, третиот квартал и за крајот на учебната 2022/23 година;

-Се разгледуваше и утврдуваше редовноста и поведението на учениците за првиот квартал и првото полугодие, третиот квартал и за крајот на учебната 2022/23 година;

- Се разгледуваше и утврдуваше постигнатиот успех на учениците за првиот квартал и првото полугодие, третиот квартал и за крајот на учебната 2022/23 година;

-Се изрекуваа педагошки мерки за учлениците;

- Избор на ученик на генерација;

-Се одлучуваше по поднесени приговори за годишни оценки;

- Назначување на ментори за наставникот-приправник по физичко образование Ангела Михајловска и за наставникот-приправник по музичко образование- Елена Владева Апостолов;

-Се даде мислење за за Дарко Ангелов – приправник наставник по математика;

-Се даваа информации за обуки;

- Се расправаше и одлучуваше за тековните проблеми со учениците и за стручни работи поврзани со воспитно - образовната работа воопшто;

-Се разгледуваше и усвојуваше извештајот за спроведената самоевалуација на училиштето за 2022-2023 година;

- Се разгледуваше извештајот за првиот квартал, полугодишниот извештај за третиот квартак и годишниот извештај за работата на училиштето.

**Записничар**
**Благица Секуловска**

# Годишен извештај од работата на ученичкиот парламент од учебната 2022/23 година

| Р.б | **Содржини** | **Реализирани цели** | **Носители на активност** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Конституирање на ученичките заедници на паралелките | Кај учениците се развви чувство на припадност, колективност, мотивираност | Одделенските раководители | септември |
| 2. | Избор на раководство на ученичката заедница во паралелката | Кај учениците се развви чувство на одговорност, објективност, соработка, колективност, критичност и доследност | Одделенските раководители | септември |
| 3. | Запознавање со програмата на ученичкиот парламент –давање нови предлози за избор на активности од страна на учениците и избор на раководство | Кај учениците се развви чувство одговорност , доследност, исполнителност, поттикнување на креативност и идеи за заедништво | Елена Трипуновска Максимовска Марија Костовска Катерина Натева Теова директор | октомври |
| 4. | Прибирање на ученички иницијативи и предлози | Кај учениците се развви ученичкиот активизам и се поттикнаа за покренување на ученички иницијативи и активности | Елена Трипуновска Максимовска | октомври |
| 5. | Запознавање на учениците со училишните секции, изготвување на информативни флаери | Учениците се запознаа со училишните секции, целите и активностите кои тие ги нудат за нив | Елена Трипуновска Максимовска | октомври |
| 6. | Избор на претставници од ученичкиот парламент за учество во работата на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор | Се зголеми соработката на учениците со органите во училиштето | Катерина Натева Теова Марија Костовска | октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Разгледување на ученичките предлози и иницијативи | Кај учениците се зголеми довербата и желбата за самоиницијативност и поголемо учество во училишниот живот | Елена Трипуновска Максимовска | ноември |
| 8. | Одбележување на ,,3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост“<br>Организирање на собирна акција на стара хартија – соработка со Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид ,,Димитар Влахов“ | Учениците се запознаа со терминот инклузија и научија дека без разлика на спецификите во развојот потребно е да се даде поддршка и помош и да се прифатат различностите<br>Кај учениците се разви чувство на хуманост и општествена одговорност | Марија Костовска | декември |
| 9. | Учество во новогодишното украсување и уредување на училиштето и учество на новогодишната забава | Кај учениците се разви креативност, иновативност, развивање на празничен дух и убави чувства | стручна служба<br>директор | декември |
| 10. | Разгледување на ученичките предлози и иницијативи за второто полугодие | Кај учениците се зголеми довербата и желбата за самоиницијативност и поголемо учество во училишниот живот | стручна служба | јануари |
| 11. | Активности по повод 14 Февруари-Денот на љубовта | Кај учениците се разви креативност, иновативност, развивање на празничен дух и убави чувства | стручна служба | февруари |
| 12. | Учество во пролетна еколошка акција | Кај учениците се разви еколошка свест | директор<br>стручна служба<br>предметни и одделенски наставници | март |
| 13. | Активности по повод велигденските празници | Кај учениците се разви креативност, иновативност, развивање на празничен дух и убави чувства | стручна служба<br>наставник по ликовно образование | април |
| 14. | Работилница :<br>Испраќаме пораки за ширење на љубов и пријателство и НЕ на насилството. | Кај учениците се разви емпатија, љубов и пријателски позитивни чувства чувства | стручна служба | мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Учество во завршна манифестација по повод крајот на учебната година | Кај учениците се развои креативност, иновативност, развивање на празничен дух и убави чувства | директор<br>стручна служба<br>предметни и одделенски наставници | јуни |

**Одговорни**-стручна служба

- **Наставен кадар**

Наставата ја изведуваат вкупно 31 наставник од нашето училиште и тоа:

## Одделенски наставници

| *ред.број* | **име и презиме** | **Одделение** |
|---|---|---|
| *1* | Христина Јанева | 1а |
| *2* | Пандорка Јовчевска | 1б |
| *3* | Драган Печевски | продолжен престој 1а,б |
| *4* | Славица Мојсоска | 2а |
| *5* | Сузана Танева | 2б |
| *6* | Соња М.Тоточевска | продолжен престој 2а,б |
| *7* | Ленка Пешевска | 3а |
| *8* | Николета Нестор | 3б |
| *9* | Валентина Славковска | продолжен престој 3а,б |
| *10* | Сузана А.Димовска | 4а |
| *11* | Ива Количев | 4б |
| *12* | Благица Секуловска | 5а |
| *13* | Светлана Николовска | 5б |

## Предметни наставници кои предаваат во одделенска настава

| ред.број | име и презиме | настaвавен предмет |
|---|---|---|
| 1 | Хилда Стефковска | англиски јазик |
| 2 | Даниела Денковска | природни науки |
| 3 | Ангела Михајловска | физичко и здравствено образование |
| 4 | Виолета Миновска | техничко образование |

## Предметни наставници

| ред.број | име и презиме | наставен предмет | одделенски раководител |
|---|---|---|---|
| 1 | Татјана С.Гочкова | македонски јазик,библиотека | 8а |
| 2 | Лорета Станковиќ | историја,граѓанско образование,етика, класична култура на евр.цивилизации | 8б |
| 3 | Елена Тасевска | македонски јазик,библиотека | 6а |
| 4 | Фросина Димитровска | англиски јазик | 9б |
| 5 | Љубинка Стоименова | биологија,хемија,природни науки | 6б |
| 6 | Елена Владева Апостолов | музичко образование,хор,оркестар | |
| 8 | Тоше Столески | географија, нашата татковина,истражување на род.крај есару | 7а |
| 7 | Дарко Ангелов | математика | |
| 9 | Христијан Христовски | физичко и здравствено образование | |
| 10 | Тереза Блажевска | германски јазик | |
| 11 | Мартина Христова | математика, физика,иновации | 9а |
| 12 | Филип Ацевски | информатика,програмирање | |
| 13 | Јулија Н.Пешевска | ликовно образование, проекти од ликовната уметност | |
| 14 | Даниела Ристеска | етика на религии | |
| 15 | Виолета Миновска | техничко образование | предава и во одделенска |
| 16 | Даниела Денковска | природни науки | предава и во одделенска |

**Наставници кои дополнуваат од и во други училишта:**

1. *Јулија Н.Пешевска* - наставник по **ликовно образование- ООУ,,Крум Тошев“**
2. *Филип Ацевски*- наставник по **информатика- ООУ,,Крум Тошев“**
3. *Виолета Миновска* -наставник по **техничко образование- ООУ,,Крсте Мисирков“**
4. *Даниела Денковска*- наставник по **природни науки** – **ООУ,,Стив Наумов“**
5.Тереза Блажевска-наставник по **германски јазик – ООУ,,Вера Јоциќ“**
6.Даниела Ристеска-наставник по **етика на религии- ООУ,,Стив Наумов“**

## •Ученици

Учебната 2022/2023 година во основното општинско училиште Григор Прличев ја завршија **313 ученици** од кои 163 женски и 150 машки. Наставата воглавно ја следат ученици од македонска националност (295), но во мал број има и ученици од другите националности и тоа Срби (3), Босанци (6) и Македонски муслимани (4), Албанец (1), Бугари (1), Турци (2) Еѓипќани (1). Вкупно ученици кои се припадници на другите етнички заедници се 18 или 5,75 %.

Учениците се распоредени во **17 паралелки** и тоа: **10** паралелки во **одделенска настава** и **7 паралелки во предметна настава**.

Училиштето работи во **една смена** со почеток на часовите од 8.00 часот.

***Вкупен број на ученици за учебната 2022-2023 година***

| | одд. | **бр.на ученици** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | вкупно |
| **Одделенска-10** | Iа | 10 | 6 | 16 |
| | Iб | 8 | 11 | 19 |
| | IIа | 10 | 9 | 19 |
| | IIб | 9 | 7 | 16 |
| | IIIа | 12 | 10 | 22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | IIIб | 10 | 10 | 20 |
| | Iva | 8 | 9 | 17 |
| | Ivб | 6 | 10 | 16 |
| | Va | 10 | 11 | 21 |
| | vб | 8 | 7 | 15 |
| | **I-V** | **91** | **90** | **181** |
| **Предметна-7** | VIa | 6 | 6 | 12 |
| | VIб | 3 | 14 | 17 |
| | VIIa | 12 | 13 | 25 |
| | VIIIa | 9 | 12 | 21 |
| | VIIIб | 12 | 11 | 23 |
| | Ixa | 9 | 8 | 17 |
| | Ixб | 8 | 9 | 17 |
| | **VI-IX** | **59** | **73** | **132** |
| | **I-IX** | **150** | **163** | **313** |

## Подрачја на промени, приоритети и цели

| Подрачје/ Задача | Активности | Носител | Постигнати цели | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Подобрување на систематското и навременото идентификување на образованите потреби на учениците,пречки во процесот на учењето и подобрување на ефикасноста и ефективноста во преземањето на активности за нивно отстранување од страна на наставниците и стручните соработници* | изготвување на идентификациони листи | стручна служба | унифицирање на инструменти | септември октомври |
| | поделба на идентификационите листи | стручна служба, наставници | поголема соработка со настаниот кадар и навремена детекција на учениците со потешкотии и проблеми во наставата | ноември |
| | индивидуална работа со учениците и соработка со одделенските и предметни наставници | стручна служба, наставници | помош, поддршка на учениците и следење на нивниот напредок | ноември-мај |
| *Изградба на нова или целосно реновирање на фискултурната сала и помошните простории* | реконструкција на помошните простории- соблекувалните | директор | подобрени услови за реализација на настава | ноември<br><br>декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Продлабочување и проширување на комуникација со бизнис секторот и деловната заедница* | Соработка со фирмата ,,Макстил“<br>-едукативни работилници со учениците од IVа и IVб одделение во рамките на проектот ,,Инвестираме во нашата планета“<br>-учество на конкурс | Директор<br>Одделенски анставници | зголемена соработка со бизнис секторот<br>-збогатен училишен живот | мај-јуни |

## •Календар за работа на училиштето и настава

Наставната година започна на 01.09.2022 година и заврши на 14.06.2023 година и во текот на учебната година се **реализираа вкупно 180 работни денови**.
Настава редовно се одвиваше во една смена за учениците од I-IX одделение
Задолжителна настава- реализирани часови за учебната 2022-2023 год.

*** Одделенска настава**

| | **Предмет** | **Iа** | **Iб** | **IIа** | **IIб** | **IIIа** | **IIIб** | **IVа** | **IVб** | **Vа** | **Vб** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***1*** | Македонски јазик | 180 | 180 | 180 | 180 | 216 | 216 | 180 | 180 | 180 | 180 | **1872** |
| ***2*** | Англиски јазик | 72 | 72 | 72 | 72 | 108 | 108 | 108 | 108 | 108 | 108 | **936** |
| ***3*** | Математика | 180 | 180 | 180 | 180 | 180 | 180 | 180 | 180 | 180 | 180 | **1800** |
| ***4*** | Природни науки | 71 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 74 | 74 | **723** |
| ***5*** | Општество | 37 | 36 | 36 | 36 | 36 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 | **217** |
| ***6*** | Историја и општество | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 71 | 71 | 72 | 72 | **286** |
| ***7*** | Ликовно образование | 35 | 36 | 36 | 36 | 72 | 72 | 37 | 37 | 36 | 37 | **434** |
| ***8*** | Музичко образование | 37 | 36 | 36 | 36 | 72 | 72 | 37 | 37 | 36 | 37 | **436** |
| ***9*** | Физичко и здравствено образование | 110 | 108 | 108 | 108 | 108 | 108 | 106 | 106 | 108 | 108 | **1078** |
| ***10*** | Работа со комп. и осн. на програмирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 72 | 72 | 0 | 0 | 0 | 0 | **144** |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***11*** | Слободни изборни предмети | 0 | 0 | 72 | 72 | 0 | 0 | 72 | 72 | 72 | 72 | **432** |
| ***13*** | Техничко образование и информатика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37 | 37 | 70 | 70 | **214** |
| ***14*** | Одделенски час | 0 | 0 | 0 | 0 | 36 | 36 | 36 | 36 | 0 | 0 | **144** |
| | **Вкупно** | **722** | **720** | **792** | **792** | **972** | **972** | **936** | **936** | **936** | **938** | **8716** |

***Предметна настава**

| | **Предмет** | **VIa** | **VIб** | **VIIa** | **VIIIa** | **VIIIб** | **IXa** | **IXб** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Македонски јазик | 144 | 145 | 144 | 144 | 144 | 145 | 145 | 1011 |
| *2* | Англиски јазик | 110 | 110 | 108 | 108 | 109 | 110 | 110 | 765 |
| *3* | Германски јазик | 74 | 74 | 74 | 74 | 75 | 74 | 73 | 518 |
| *4* | Математика | 180 | 180 | 144 | 145 | 146 | 145 | 144 | 1084 |
| *5* | Историја | 74 | 72 | 72 | 72 | 73 | 74 | 72 | 509 |
| *6* | Географија | 71 | 72 | 72 | 73 | 72 | 73 | 73 | 506 |
| *7* | Граѓанско образ. | 0 | 0 | 0 | 36 | 36 | 36 | 37 | 145 |
| *8* | Етика | 0 | 0 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36 |
| *9* | Биологија | 0 | 0 | 72 | 73 | 72 | 72 | 73 | 362 |
| *10* | Прир.науки | 74 | 72 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 146 |
| *11* | Информатика | 72 | 72 | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 | 181 |
| *12* | Техничко образование | 35 | 35 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70 |
| *13* | Хемија | 0 | 0 | 0 | 72 | 74 | 72 | 72 | 290 |
| *14* | Физика | 0 | 0 | 0 | 72 | 74 | 74 | 72 | 292 |
| *15* | Иновации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37 | 37 | 74 |
| *16* | Ликовно образование | 35 | 37 | 37 | 37 | 36 | 36 | 37 | 255 |
| *17* | Музичко образование | 37 | 37 | 37 | 36 | 36 | 35 | 36 | 254 |
| *18* | Физичко и здравствено образование | 108 | 107 | 109 | 108 | 109 | 108 | 109 | 758 |
| *19* | Етика на религиите | 74 | 74 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 148 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *20* | Клас. култ. во европ.див. | 74 | 74 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 148 |
| *21* | Проекти од лик.уметност | 0 | 0 | 0 | 72 | 72 | 0 | 0 | 144 |
| *22* | Програмирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72 | 72 | 144 |
| *23* | Нашата татковина | 0 | 0 | 72 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72 |
| *24* | Истражување на родниот крај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72 | 72 | 144 |
| *24* | Одделенски час | 36 | 36 | 36 | 36 | 37 | 36 | 36 | 253 |
| | Вкупно | 1198 | 1197 | 1050 | 1158 | 1165 | 1271 | 1270 | **8309** |

**Наставниот план и програма се во целост реализирани од страна на сите наставници**, сите предвидени наставни содржини се реализирани и редовно се одржува додатна и дополнителна настава. Учениците го усвојуваат материјалот и напредуваат во согласност со своите можности и залагања.

**Изборна настава- се изучуваат следниве предмети**

| | **Предмет** | **Одделение** | ***Наставник*** |
|---|---|---|---|
| ***1.*** | Кошарка<br>Фудбал<br>Театарски работилници<br>Игри за разрешување конфликти<br>Цртање, сликање и вајарство | IV,V | *Благица Секуловска*<br>*Светлана Николовска*<br>*Ива Количев,Сузана А.Димовска* |
| ***2.*** | Етика на религиите | VI | *Даниела Ристеска* |
| | Класична култура во европската цивилизација | | *Лорета Станковиќ* |
| ***3.*** | Нашата татковина | VII | *Тоше Столески* |
| ***4.*** | Проекти од ликовната уметност | VIII | *Јулија Н.Пешевска* |
| ***5.*** | Истражување на родниот крај | IX | *Тоше Столески* |
| ***6.*** | Програмирање | IX | *Филип Ацевски* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

- Додатна и дополнителна се одржува според програмата предвидена за учебата 2022/23година.

***Одделенска настава**

**1.Преглед на реализирани часови по дополнителна настава**

| | **Предмет** | **Ia** | **Iб** | **IIa** | **IIб** | **IIIa** | **IIIб** | **Iva** | **IVб** | **Va** | **Vб** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Македонски јазик | / | / | 8 | 8 | 7 | 7 | 2 | 2 | 6 | 6 | 46 |
| *2* | Англиски јазик | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 |
| *3* | Математика | / | / | 8 | 8 | 6 | 6 | 9 | 9 | 8 | 8 | 62 |
| *4* | Природни науки | / | / | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 6 |
| *5* | Општество | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *6* | Историја и општество | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | 8 |
| *7* | Ликовно образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *8* | Музичко образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *9* | Физичко и здр. образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *10* | Работа со комп. и осн. на прог. | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *11* | Техничко образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *12* | Одделенски час | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *13* | Техничко обр. и информ. | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 |
| | Вкупно | / | / | 18 | 18 | 14 | 14 | 17 | 17 | 18 | 18 | 134 |

**2.Преглед на реализирани часови по додатна настава**

| | **Предмет** | **Ia** | **Iб** | **IIa** | **IIб** | **IIIa** | **IIIб** | **IVa** | **IVб** | **Va** | **Vб** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Македонски јазик | / | / | 7 | 7 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | **36** |
| *2* | Англиски јазик | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | **8** |
| *3* | Математика | / | / | 7 | 7 | 9 | 9 | 2 | 2 | 4 | 4 | **44** |
| *4* | Природни науки | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 0 | 0 | **10** |
| *5* | Општество | / | / | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | **6** |
| *6* | Историја и општество | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 4 | 4 | **14** |
| *7* | Ликовно образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | **8** |
| *8* | Музичко образование | / | / | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | **4** |
| *9* | Физичко и здр. образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| *10* | Работа со комп. и осн. на прог. | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| *11* | Техничко образование | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| *12* | Техничко образование и информатика | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| *13* | Одделенски час | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| | Вкупно | / | / | 17 | 17 | 17 | 17 | 16 | 16 | 16 | 16 | **132** |

***Предметна настава**

**1.Преглед на реализирани часови по дополнителна настава**

| | Предмет | VIа | VIб | VIIа | VIIIа | VIIIб | Iха | IXб | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Македонски јазик | 9 | 10 | 10 | 9 | 8 | 19 | 13 | 78 |
| *2* | Англиски јазик | 5 | 5 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 36 |
| *3* | Германски јазик | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 28 |
| *4* | Математика | 9 | 7 | 21 | 7 | 12 | 12 | 12 | 80 |
| *5* | Историја | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 26 |
| *6* | Географија | 4 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 19 |
| *7* | Граѓанско образ. | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 | 6 |
| *8* | Етика | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| *9* | Биологија | 0 | 0 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 22 |
| *10* | Прир.науки | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| *11* | Информатика | 16 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 32 |
| *12* | Техничко образование | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| *13* | Хемија | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 |
| *14* | Физика | 0 | 0 | 0 | 10 | 10 | 8 | 10 | 38 |
| *15* | Иновации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 |
| *16* | Ликовно образование | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 13 |
| *17* | Музичко образование | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 6 | 4 | 42 |
| *18* | Физичко и здравствено образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 14 |
| *19* | Етика на религиите | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| *20* | Клас. култ. во европ.див. | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| *21* | Вештини за живеење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *22* | Програмирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Вкупно | 65 | 70 | 79 | 63 | 62 | 77 | 71 | 487 |

**2.Преглед на реализирани часови по додатна настава**

| | Предмет | VIa | VIб | VIIa | VIIIa | VIIIб | IXa | IXб | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Македонски јазик | 4 | 7 | 7 | 7 | 7 | 19 | 12 | 63 |
| *2* | Англиски јазик | 5 | 5 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 36 |
| *3* | Германски јазик | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 28 |
| *4* | Математика | 4 | 5 | 1 | 0 | 8 | 8 | 8 | 34 |
| *5* | Историја | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 27 |
| *6* | Географија | 4 | 4 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 21 |
| *7* | Граѓанско образ. | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| *8* | Етика | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| *9* | Биологија | 0 | 0 | 5 | 6 | 6 | 4 | 5 | 26 |
| *10* | Прир.науки | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| *11* | Информатика | 16 | 16 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48 |
| *12* | Техничко образование | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| *13* | Хемија | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 4 | 4 | 18 |
| *14* | Физика | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 | 6 | 8 | 30 |
| *15* | Иновации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 |
| *16* | Ликовно образование | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 13 |
| *17* | Музичко образование | 4 | 1 | 7 | 7 | 7 | 6 | 4 | 36 |
| *18* | Физичко и здравствено образование | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 14 |
| *19* | Етика на религиите | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| *20* | Клас. култ. во европ.цив. | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| *21* | Вештини за живеење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *24* | Програмирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Вкупно | 55 | 60 | 56 | 54 | 62 | 70 | 64 | 421 |

## Извештај од работата на инклузивниот тим за ученици со посебни образовни потреби

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Извори (ресурси) | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| ***Идентификување на учениците со пречки во развојот и потешкотии во учењето*** | мај септември | дефектолог, психолог, педагог наставници | идентифкациони листи ,опсервации | идентификација на овие ученици |
| ***Упатување на ученици за проценка во МКФ и ЗМЗ-проценка на психофизичката способност и добивање наод и мислење.*** | мај септември | дефектолог, психолог, педагог наставници | Барање до родител,наод мислења | Навремено добиени наоди и мислења |
| ***Распределување на учениците со ПОП во паралелки*** | август | дефектолог, психолог, педагог наставници | Извештаии,анализи | Правилно распоредување на учениците |
| ***Формирање на инклузивни тимови за ученици во прво одделение*** | октомври | Инклузивен тим ,директор,наставници ,родители | Наод и мислење,извештаи | Формирани тимови |
| ***Изработка на ИОП и среднорочни планови според можностите и способностите на учениците*** | октомври | дефектолог, психолог, наставници | Програми | изработка на програми според индивидуалните способности на учениците |
| ***Евидентирање на степенот на дополнителната помош и поддршка на овие ученици)*** | октомври | дефектолог, психолог, наставници | идентифкациони листи ,опсервации | -можност за соодветна помош и поддршка на овие ученици |
| ***Директна помош и поддршка на овие ученици на часот-ученици кои ја следат наставата со физичко присуство*** | континуирано | дефектолог | забелешки од посета | насочување на вниманието на учениците кон наставната содржина и задачите, поттикнување, мотивирње и социјализација со врсниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
**-24.01.2023год и 25.01.2023год учениците од IVa и IVб одделение**
**-21.02.2023год и 22.02.2023год учениците од IIIa и IIIб одделение**
**-20.03.2023год и 21.03.2023год учениците од IIa и IIб одделение**
**-18.05.2023год и 19.05.2023год учениците од Ia и Iб одделение**

На **ден 09.11.2022год** се одржани работилници **,,Градба и функција на орална празнина" , Правилна исхрана и контрола на внес на шеќери" , ,,Правилна орална хигиена" и ,,Редовна посета кај стоматолог и употрба на флуориди во превентивни цели"** на учениците од Ia,б и IVa,б одделение.

Се извршија редовните ревакцинации
**-16.09.2022год. ревакцина MRP кај учениците Ia и Iб одделение.**
**-03.11.2022год и 04.11.2022год ревакцина Di-Te-Per и Polio кај учениците IIa и IIб одделение.**
**-07.11.2022год ревакцина Di-Te-Per и Polio кај учениците IXa и IXб одделение.**

Од страна на стручната служба а во насока на превенција и заштита на учениците беа одржани следниве работилници:
,,Болести на зависност-Пушење" -20.09.2022год со учениците од VIIa одделение.
-09.12.2022год со учениците од VIIIa,б
,,Болести на зависност- Алкохолизам" -09.12.2022год со учениците од VIIIa и VIIIб одделение.

На **04.11.2022год**. во соработка со ,,Центарот за јавно здравје" одржани се предавања на тема **,,Лична хигиена и физичка активност" и Пубертет и репродуктивно здравје"**

На **15.11.2022год.** во соработка со ,,Центарот за јавно здравје" поделени се печатени материјали на сите ученици за запознавање со болеста **ШУГА- СКАБИЕС**.

**12.04.2023год.** се реализираше едукативно предавање за девојчињата од петто одделение организирано од страна на Always едукативната програма која е со поддршка Министерството за образование и наука.

Извршени се редовните систематки прегледи:

**-31.01.2023год учениците VIIа одделение**
**-12.04.2023год и 13.04.2023год учениците од Iа и Iб одделение**

**<u>Превентивни програми и едукација на учениците, подобрување на нивното ментално здравје</u>**

| Ред.бр | Тема | постигнати цели | одделение | датум на одржување | реализатор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Болести на зависност ,, Пушење" | Учениците се запознаа со штетните последици по нивното здравје од пушењето на цигари | VIIа<br><br>VIIIа<br>VIIIб | 20.09.2022<br><br>09.12.2022 | педагог |
| 2. | Превенција од сексуална злоупотреба | Учениците се запознаа со облиците на сексуална злоупотреба и научија како да се заштитат и каде да | IXа<br>IXб | 21.11.2022 | педагог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | пријават во случај на било каков облик на сексуална злоупотреба | | | |
| **3.** | Болести на зависност ,,Алкохолизам и последиците од неговото конзумирање“ | Учениците се запознаа со штетните последици по нивното здравје од конзумирањето на алкохол | VIIIа,б | 09.12.2022 | педагог |
| **4.** | Реализирана работилница ,,Зајачето Ушко се плаши од разни нешта,, | Препознавање и справување со чувството на страв | Iб, IIа, IIб, IIIа, IIIб, IVа, IVб, Vа, Vб, | 20.12.2023-23.12.2023 | психолог |
| **5.** | Спроведување на вежба ,,Испрати добри мисли,, | Зајакнување на сопствените капацитети за справување во стресни ситуации | VIа, VIб, VIIа, VIIIа, VIIIб, IXа, IXб | 19.12.2023-23.12.2023 | психолог |
| **6.** | Реализирана работилница ,,Емпатија-препознавање на емоциите кај другите,, | Развивање на способноста за препознавање и разбирање на емоциите кај другите со цел подобрување на интерперсоналните односи | VIа | 10.03.2023 | психолог |
| **7.** | Реализирана работилница ,,Активно слушање и споделување на своја мрежа на врски,, | Поттикнување емпатија и давање на подршка кај учениците, како ии развивање свесност за меѓусебно поврзување | IVа, IVб, Vа,Vб, VIа,VIб,VIIа,VIIIа, VIIIб,IXа,IXб | 20.05.2023-25.05.2023 | педагог, психолог |

## Извештај за Професионалната ориентација на учениците од IX одделение

| Ред. број | Планирана активност | Цел | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Откривање на афинитетите на учениците од IX одд | Пружање понатамошна помош при правилниот избор на средно училиште | во текот на целата година | психолог, одделенски раководители, ученици |
| 2. | Запознавање на учениците со важноста од знаењето на сопствените интереси и | Правилен избор на идна професија | март | психолог, одделенски раководители, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | способности за идната професија | | | |
| 3. | Информирање на учениците за потребата и значењето на професионалната ориентација | Информирани ученици | април | психолог,<br>одделенски раководители,<br>ученици |
| 4. | Спроведување на анкета за професионална ориентација | Согледување на интересите и информираноста на учениците | март | -психолог, педагог<br>- ученици |
| 5. | Примена на прашалник за самопроцена на професионалните интереси | Учениците добиваат информации за сопствените најизразени професионални интереси | март | -психолог,<br>-ученици |
| 6. | Примена на прашалник за самопроцена на професионалните способности | Учениците добиваат информации за сопствените најразвиени професионални способности | март | -психолог,<br>-ученици |
| 7. | Примена на тестот за општи интелектуални способности | Согледување на способностите на учениците и помош при избор на понатамошно образование | март | -психолог,<br>-ученици |
| 8. | Информирање на учениците за постигнатите резултати и индивидуални консултации | Информирани ученици за сопствените потенцијали и способности и помош при избор на соодветно училиште | март-мај | психолог,<br>ученици,<br>родители |
| 9. | Организирање на презентации од средните училишта на град Скопје | Информирани ученици | март-мај | директор, педагог,психолог<br>одделенски раководители,<br>ученици, |
| 10. | Разгледување на конкурсот за запишување во јавните средни училишта со учениците | Информирани ученици за одредени средни училишта за кои се заинтесирани, информирани за начинот на пресметување на бодовите, информирање за потребните документи за упис и за | април | психолог, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | уписните рокови | | |
| 11. | Информирање на родителите за конкурсот за упис во средните училишта | Информирани родители | април | психолог,одделенски раководители,родители |
| 12. | Споделување на информации за отворени денови на средните училишта | Информирани ученици | мај | психолог,одделенски раководители, ученици |

## УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Дисциплина во училиштето во текот на учебната година во голема мера задоволува. Етичките кодекси за однесување како на учениците така и на вработените и куќниот ред во голема мера се почитуваат. Сето тоа допринесува за пријатна училишна клима и е основа за градење на добри меѓучовечки односи.
На иницијатива на Ученичкиот парламент се изготвени плеј листи со одбрана музика од учениците. Редовно на одморите се пушта музика преку училишниот разлас која особено влијае и го подобрува расположението на учениците. На 30.12.2022год. сите ученици учествуваа и настапуваа во Новогодишната забава која ја проследија и родителите и која особено позитивно влијаеше на позитивната клима во училиштето. На последниот ден од учебната година , 14.06.2023год. се одржа приредба подготвена од дел од учениците и наставничката по музичко образование која со уживање ја проследија останатите ученици и наставниците.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Оваа учебна година во нашето училиште се спроведе самоевалуацијата. Од страна на Училишниот одбор беше формира пет члена комисија во следниов состав:

1.Елена Трипуновска Максимовска- педагог
2.Благица Секуловска-наставник
3.Валентина Славковска-наставник
4.Марина Капевска-родител
5.Костадин Андов- родител

За секое подречје беа формирани тимови и тоа во следниов состав:

| 1. Наставни планови и програми | 2.Постигања на учениците | 3.Учење и настава | 4.Поддршка на учениците | 5.Училишна клима и односи во училиштето | 6.Ресурси | 7.Управување, раководење и креирање политики |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Соња М.Тоточевска | Христијан Христовски | Дарко Ангелов | Валентина Славковска | Ива Количев | Фросина Димитровска | Драган Печевски |
| Ленка Пешевска | Татјана С.Гочкова | Христина Јанева | Хилда Стефковска | Сузана А.Димовска | Мартина Христова | Пандорка Јовчевска |
| Светлана Николовска | Николета Нестор | Љубинка Стоименова | Елена В.Апостолов | Јулија Н.Пешевска | Елена Тасевска | Тереза Блажевска |
| Тоше Столески | Славица Мојсоска | Сузана Танева | Благица Секуловска | Лорета Станковиќ | Филип Ацевски | Ангела Михајловска |

Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе електронска анонимна анкета со учениците, наставниците и родителите во просек една третина од вкупниот број на ученици и родители. Одговорните на подрачјата и нивните членови направија увид во целокупната документација која е именувана како извор на информации. Направени се интервјуа со директорот, стручната служба, претседателот на Училишен одбор и други инволвирани субјекти од значење во процесот на самоевалуација

## ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

| МК | Учесници | Тема | Организатор | Време и место на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Фросина Димитровска | „Комуникациски вештини помеѓу вработените, родителите и учениците во училиштето“<br>„Обврски и работење на Училишниот одбор“ | Бизнис и консалтинг Интернешнал | 26 -28.08.2022 |
| 2. | Фросина Димитровска | „Назад во училиште“ | Кембриџ | 30.08.2022 |
| 3. | Соња Мицевска-Тоточевска<br>Сузана Танева<br>Славица Мојсовска | Медиумска писменост и Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми за II одделение | Биро за развој на образование | 30-31.08.2022 |
| 4. | Благица Секуловска<br>Светлана Николовска | „Медиумска писменост и планирање и реализација на наставата според новата концепција за петто оделение“ | Биро за развој на образование | 14-15.09.2022 |
| 5. | Николета Нестор<br>Ленка Пешевска<br>Благица Секуловска | „ Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети “ | Едуино | 29.09.2022 |
| 6. | Фросина Димитровска<br>Николета Нестор<br>Ленка Пешевска<br>Хилда Стефковска | „ Развивање на креативни вештини преку визуелни приказни “ | Едуино | 05.10.2022 |
| 7. | Николета Нестор | „ Вовед во формативно оценување “ | Едуино | 05.10.2022 |
| 8. | Фросина Димитровска<br>Хилда Стефковска | „Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени“ | Едуино | 13.10.2022 |
| 9. | Николета Нестор | „ Добри практики со користење на мобилните апликации во СТЕМ наставата“ | Центар за иновации и дигитална едукација | 18.10.2022 |
| 10. | Лорета Станковиќ<br>Љубинка Стоименова<br>Мартина Христова<br>Тоше Столески<br>Дарко Ангелов<br>Татјана Силјаноска Гочкова<br>Благица Секуловска<br>Славица Мојсоска | „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“ | Биро за развој на образование | 26.10.2022<br>28.10.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Соња Мицевска Тоточевска Даниела Денковска*** | | | ***07.11.2022 и 08.11.2022*** |
| ***11.*** | ***Благица Секуловска*** | ***,,Рана итервенција-достапни опции и услуги,,*** | ***Едуино*** | ***08.11.2022*** |
| ***12.*** | ***Марија Костовска Николета Нестор*** | ***,, Улогата на ресурсниот центар во подршка на редовните основни училишта“*** | ***Едуино*** | ***27.10.2022*** |
| ***13.*** | ***Елена Трипуновска Максимовска Катерина Натева Теова*** | ***,,Концепција и новите наставни програми во I, II, IV и V одделение на девет годишното основно воспитание и образование“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***27.10.2022*** |
| ***14.*** | ***Христијан Христовски*** | ***,,Професионална соработка на наставниците“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***03.11.2022 04.11.2022*** |
| ***15.*** | ***Хилда Стефковска Ангела Михајловска Ива Количев Ленка Пешевска Николета Нестор Пандорка Јовчевска Сузана Аксеновска Димовска*** | ***,,Инклузија и пристапи во поучувањето на учениците со посебни образовни потреби/попреченост “*** | ***Биро за развој на образование*** | ***03.11.2022 04.11.2022*** |
| ***16.*** | ***Николета Нестор Благица Секуловска*** | ***,, Рана интервенција- достапни опции и услуги“*** | ***Едуино*** | ***08.11.2022*** |
| ***17.*** | ***Александра Петковска-Анастасов Филип Ацевски Јулија Никовска Пешевска*** | ***,, Учење преку истражување, работа на проект и решавање на проблеми “*** | ***Биро за развој на образование*** | ***11.11.2022 14.11.2022*** |
| ***18.*** | ***Тереза Блажевска*** | ***,,Мултикултурализам во еднојазичните и повеќејазични училишта“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***12.11.2022*** |
| ***19.*** | ***Благица Секуловска*** | ***,,Обука за сертификација за јавни набавки“*** | ***БЈН*** | ***14-18.11.2022*** |
| ***20.*** | ***Марија Костовска Елена Трипуновска Максимовска Катерина Натева Теова Александра Петковска Анастасов Благица Секуловска*** | ***,,Изготвување на ИОП и Модифицирана наставна програма“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***23.11.2022 24.11.2022 (online)*** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Љубинка Стоименова*** | | | |
| ***21.*** | ***Марија Костовска<br>Николета Нестор*** | ***„ Стимулација на говор во рана возраст + Cboard“*** | ***Едуино*** | ***24.11.2022*** |
| ***22.*** | ***Христина Јанева*** | ***„ Учење на далечина: Интернет- апликации и платформи за учење “*** | ***Биро за развој на образование*** | ***28.11.2022*** |
| ***23.*** | ***Драган Печевски*** | ***„Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***29.11.2022*** |
| ***24.*** | ***Елена Трипуновска Максимовска<br>Марија Костовска*** | ***„Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час “*** | ***Биро за развој на образование*** | ***30.11.2022*** |
| ***25.*** | ***Фросина Димитровска*** | ***„Настава насочена кон критичко мислење на учениците“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***01.12.2022*** |
| ***26.*** | ***Благица Секуловска<br>Николета Нестор<br>Марија Костовска<br>Татјана Силјаноска Гочкова*** | ***„Предизвикувачко однесување-справување и добри практики“*** | ***Едуино*** | ***01.12.2022*** |
| ***27.*** | ***Валентина Славковска*** | ***„Дизајнирање објективни тестови на знаење“*** | ***Биро за развој на образование*** | ***05.12.2022<br>06.12.2022*** |
| ***28.*** | ***Катерина Натева Теова*** | ***Евалуација на пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование*** | ***Биро за развој на образование*** | ***07.12.2022*** |
| ***29.*** | ***Светлана Николовска*** | ***..Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците “*** | ***Биро за развој на образование*** | ***14.12.2022<br>15.12.2022*** |
| ***30.*** | ***Александра Петковска Анастасов<br>Фросина Димитровска<br>Благица Секуловска<br>Валентина Славковска<br>Хилда Стефковска*** | ***Аплицирање за Еразмус проекти*** | ***Еразмус*** | ***17/18.01.2023*** |
| ***31.*** | ***Катерина Натева Теова*** | ***Обука за ментално здравје и психосоцијална поддршка*** | ***Биро за развој на образование*** | *25.01.2023* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *32.* | *Катерина Натева Теова* | *Во светот на детскиот цртеж“* | *Ас анима здружение* | *31.01.2023* |
| *33.* | *Марија Костовска Катерина Натева Теова Елена Т.Максимовска Татјана Силјаноска Гочкова Елена Тасевска* | *Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и барателиа на азил во воспитно-образовниот процес“.* | *ЕДУИНО Вебинари* | *15.02.2023* |
| *34.* | *Лорета Станковиќ* | *Интернет во наставата (социјални мрежи, платформи и Web 2.0 алатки)* | *eTwinning одделение -Сектор за координација и реализација на европски програми и мрежи доделува* | *16.02.2023* |
| *35.* | *Соња Мицевска-Тоточевска Татјана Силјаноска-Гочкова Сузана Танева Славица Мојсоска* | *Добро проверено-Курс за медиумска писменост* | *ИРЕКС „Учиме да распознаваме“, Амбасада на САД* | *20.02.2023* |
| *36.* | *Училишен инклузивен тим* | *“ЛИСТА НА ИНКЛУЗИЈА – Алатка за зголемување на свеста за учеството и инклузијата“-рганизиран во рамките на Еразмус+ проектот „Инклузивна училница: МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекст“* | *МКФ Стручно тело за процена* | *21.02.2023* |
| *37.* | *Благица Секуловска Сузана Танева* | *Обучен предавач по шах како изборен предме во Основното образование* | *Шаховска федефација на Македонија* | *02.2023* |
| *38.* | *Сузана Танева* | *Обука за оценување и евалуација на наставата* | *Клуб на наставници ЛЕАД* | *03.2023* |
| *39.* | *Сузана Танева Елена Тасевска* | *Обука за кариерен развој и кариерно советување* | *Клуб на наставници ЛЕАД* | *15.03.2023* |
| *40.* | *Сузана Танева Хилда Стефковска* | *Обука за личен развој* | *Клуб на наставници ЛЕАД* | *23.03.2023* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *41.* | *Сузана Танева<br>Елена Тасевска* | *Нови медиуми и социјални мрежи* | *ЕДУИНО* | *28.03.2023* |
| *42.* | *Сузана Танева<br>Елена Тасевска<br>Тереза Блажевска* | *Родителите и децата од дигиталната генерација* | *ЕДУИНО* | *30.03.2023* |
| *43.* | *Татјана Силјаноска Гочкова<br>Сузана Танева<br>Фросина Димитровска<br>Елена Тасевска<br>Лорета* | *Визуелни дезинформации и фотофорензика* | *Едуино вебинар* | *06.04.2023г* |
| *44.* | *Марија Костовска<br>Катерина Натева Теова<br>Елена Т.Максимовска<br>Татјана Силјаноска-Гочкова<br>Сузана Танева<br>Елена Тасевска<br>Тереза Блажевска* | *Говор на омраза во онлајн медиумите* | *ЕДУИНО Вебинари* | *12.04.2023* |
| *45.* | *Сузана Танева* | *Психолошко советување при работа со ученици* | *Клуб на наставници ЛЕАД* | *19.04.2023* |
| *46.* | *Сузана Танева<br>Елена Тасевска<br>Тереза Блажевска* | *Претставување во медиумите- стереотипи и предрасуди* | *ЕДУИНО* | *26.04.2023* |
| *47.* | *Марија Костовск<br>Катерина Натева Теова<br>Елена Т.Максимовска* | *Ментално здравје на младите и социјалните медиуми* | *Центарот за менаџмент на човечки ресурси при Филозофскиот факултет,* | *03.05 2023* |
| *48.* | *Марија Костовска<br>Катерина Натева Теова<br>Елена Т.Максимовска<br>Благица Секуловска* | *„Психолошко советување при работа со ученици-обука за системско размислување и работа со луѓе„* | *Лидери за едукација, активизам и развој-Клуб на наставници* | *15.05 2023* |
| *49.* | *Катерина Натева Теова* | *Работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза* | *МОН* | *18.05.2023* |
| *50.* | *Соња Мицевска Тоточевска<br>Сузана Танева<br>Елена Тасевска* | *Онлајн обука за наставници „Грижа за менталното здравје“* | *Клуб за наставници „ЛЕАД-Лидери за едукација, активизам и развој* | *25.05.2023* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *51.* | ***Сузана Танева<br>Фросина Димитровска*** | ***Системско размислување*** | ***Клуб на наставници ЛЕАД*** | ***15.05.2023*** |
| *52.* | ***Татјана Силјаноска Гочкова<br>Соња Мицевска-Тоточевска<br>Лорета Станковиќ*** | ***Контоверзни теми во училница*** | ***Лидери за едукација, активизам и развој-Клуб на наставници*** | ***15.06.2023*** |
| *53.* | ***Благица Секуловска*** | ***Спроведување на новта концепција за основно образование и за вклучувае во медиумската писменост.*** | ***Биро за развој на образование и Проект на УСАИД*** | |
| *54.* | ***Сузана Танева*** | ***Обука за коучинг*** | ***Клуб на наставници ЛЕАД*** | ***19, 20 . 06.2023*** |
| *55.* | ***Христина Јанева*** | ***,, Учење на далечина: Интернет- апликации и платформи за учење “<br>Оценување на учениците<br><br>ПРОГРАМА 17: Дизајнирање објективни тестови на знаење<br>ПРОГРАМА 17 (НАСТАВНИЦИ): Дизајнирање објективни тестови на знаење<br>КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА*** | ***Биро за развој на образование<br><br>Биро за развој на образование*** | ***28.11.2022<br><br>22.06.2023*** |
| *56.* | ***Христијан Христовски*** | ***Професионален развој и кариерно советување на<br>учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично)*** | ***Биро за развој на образование*** | ***16.06.2023*** |
| *57.* | **Тереза Блажевска<br>Елена Тасевска** | **Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата** | **Биро за развој на образование** | ***21.06.2023*** |
| *58.* | ***Соња Мицевска Тоточевска<br>Фросина Димитровска<br>Љубинка Стоименова*** | ***Настава насочена кон постигнување на резултатите од учење на повисоко ниво*** | ***Биро за развој на образование*** | ***28.06.2023*** |

**СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТА**

Родителите се значаен сегмент во работата на училиштето кои преку структурите на Советот на родители и Училишниот одбор активно учествуваат во животот и работата на училиштето. ( погоре извештај).

Продлабучување на и така добра соработка со родителите се постигна и со проект ,, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците “ кој има за цел зајакнување на врската - родител-ученик-наставник. Со проектот предвидени се низа активности кои континуирано ќе се реализираат во текот на целата година.

- Во рамките на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, на ден 12.10.2022г. по покана на родителот Марјан Прпоски учениците од петто а и петто б одделение го посетија Меѓународниот аеродром Скопје.

- На 29.05.2023година учениците од 8мо одделение заедно со наставникот Елена Владева Апослотов придружувана од класниот раководител Лорета Станковиќ, на покана на родителката Валентина Трајановска ја посетија Македонската Филхармонија и присуствуваа на концерт на камерниот оркестар ,,Ајга,, како дел од Деновите на македонската музика .

**КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

Училиштето соработуваше со родителите на учениците (индивидуални и групни средби). Локалното население се запознаваше со состојбите на училиштето преку Совет на родители, преку веб страната и fb-страната на нашето училиште каде постојано се проследуваат битни информации и се промовира успехот и активностите на нашите ученици.

Училиштето постојано беше во соработка со БРО, МОН, ДИЦ, ДПИ Општина Гази Баба, со Секторот за образование на Општина Гази Баба, сектор за јавни набавки, за урбанизам, за финансии, со основните училишта на ниво на општината како и со Центарот за јавно здравје.

Соработка оствари и со многу други институции од образовен но и различен карактер како со : полиција и амбуланта Автокоманда.

- **Соработка со Институтот ,,Данте Алигери'**- изучување на италијански јазик за учениците од петто одделение( преку учење на далечина).

- **Соработка со полициска станица Автокоманда и СВР Скопје**
- **Соработка со Министерството за здравство**
- **Соработка со Центар за јавно здравје**
- **Шумарски факултет**
- **АРС Ламина**
- **Макстил**

## Извештај за намалување на насилството во училиштата

Во училиштето ретка е појавата на насилно однесување на учениците, односно физички повреди меѓу нив. Но, секако се случувало да има вербални расправии меѓу учениците кои се корегирале со разговори во кои биле вклучени наставниците, посебно одделенските раководители, стручната служба а не ретко и родителите.

| Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Извори (ресурси) | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Советување и разговори со учениците** | во текот на годинаат | Стручна служба, наставници, директор | Евиденци од разговори | Воспитно делување за спречување појава на насилство |
| **Образование за животни вештини** | на одделенски часови | Одделенски раководители | Прирачник за животни вештини | Решавање на конфликтите по мирен пат |
| **Индивидуални средби со родители** | по потреба | Стручна служба, наставници, директор | Разговори | Вопитно делување за спречување појава на насилство |
| **Секојдневно следење, набљудување и советување на учениците за да се спречи било какво насилство** | преку цела година | -стручна служба<br>-одделенски раководители | -следење<br>-набљудување<br>-советување | Спречено е насилството во училиштето (посебно ученик-ученик, ученик-наставник ) |
| **Потсетување на Протоколот за ненасилно однесување и постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување** | на почетокот на учебната година | -стручна служба<br>-одделенски раководители | -Протокол за ненасилно однесување<br>-разговори со учениците на ниво на паралелка и на ученички парламент | Спречено насилно однесување и охрабрување на учениците да се пријави било каков облик на насилство |
| **Учество во проектот ,,Безбедност во училиштата“ во соработка со СВР -Скопје** | септември-мај | полициски службеници<br>ученици<br>стручна служба<br>наставници | презентации, дискусии, разговори | Едукација на учениците за спречување на насилството во сите облици |
| **Учество во проектот ,,Be cool,Stay Safe“ – финансиран од Град Скопје – Предавање на тема ,, Совети за справување со интернет насилство** | 18.11.2022 | Јован Нечовски<br>ученици од IXа,б VIIIа | брошура | Учениците се запознаа со опасностите на кои можат да наидат при користење на интернетот, како да се заштитат од сајбер насилство, каде да пријават и како да реагираат доколку се жртви на насилно однесување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Работилница : ,,Моите другари“** | 30.01.2023 | Педагог<br>IVб | прирачници | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците и негување на другарството |
| **Работилница : ,,Снегулки“** | 02.02.2023 | Психолог<br>VIa | прирачници | Увидување дека сите имаат различни чувства, вредности, искуства, перцепции и лични потреби кои влијаат на нивното однесување и кои треба да ги почитуваа за подобро да се разберат и функционираат |
| **Работилница: ,,Моите другари 1“** | 03.02.2023 | Педагог<br>IVб | прирачници | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците и негување на другарството |
| **Работилница: ,,Насилство- Стоп“** | 09.02.2023 | Педагог<br>IVб | прирачници | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците |
| **Работилница: ,,Другарство“** | 15.02.2023 | Педагог<br>VIa | прирачници | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците и негување на другарството |
| **Работилница: ,,Зборување зад грб“** | 22.03.2023 | Педагог<br>IVб | прирачници | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците и негување на другарството |
| **Работилница: ,,Конфликтите се скалила“** | 03.04.2023 | Психолог<br>IVб | прирачници | Согледување дека од начинот на реагирање на конфликтната ситуација зависи дали таа ќе се реши или ќе ескалира |
| **Театарска претстава:<br>,,Кој е тука кловн“** | 27.04.2023 | Соработка со театарска група ,,Отпишани“ | фотографии | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците |
| **Одржана работилница ,,Стоп за врсничко насилство,,** | април | Педагог, психолог, ученици од IV до IX одд. | Презентација, дискусија, разговори | Воспитно делување за спречување на насилство помеѓу учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одржана работилница ,,Превенција на насилно однесување во основни училишта,,** | мај | Психолог, педагог, ученици од IV до IX одд. | Презентација, дискусија, разговори | Воспитно делување за превенција на насилно однесување, запознавање со видовите на насилство и потребата за пријавување на истото |
| **Работилница:Развивање на свесноста за сопствените емоции** | мај | Лорета Станковиќ Татјана С.Гочкова VIIIа,б | Презентација, дискусија,разговори | Развивање на чувста на емаптија |
| **Работилница:Три зошто** | јуни | Лорета Станковиќ Татјана С.Гочкова VIIIа,б | Презентација, дискусија,разговори | Препознавање и дефинирање на емоции |

**Годишен извештај од работата на Комисијата за јавна и културна дејност за учебната 2022/23 г.**

Во текот на учебната 2022/2023 година се реализираа активности согласно годишната програма за работа на комисијата за јавна и културна дејност, во договор и во соработка со одговорните наставици. Во реализација на истите учествуваа директорката на училиштето, ученици, стручната служба на училиштето. Беа реализирани и активности по повод одбележување на значајни датуми од нашата историја и култура.

| **Програмска содржина** | **Активности** | **Реализатори** |
|---|---|---|
| 1 септември свечен прием на првачињата | Свечен прием на првачињата во училишниот двор,обраќање на директорката на училиштето, забавна програма, ритмички, литературни точки подготовени од учениците, фотографирање на сите првачиња | Директор на училиштето, стручна служба, наставници и ученици |
| 8 Септември - Ден на независноста | Украсување на училишното пано со ученички литературни творби, изработен хамер, знамиња, читање реферат | Наставници и ученици |

| | | |
|---|---|---|
| Европски ден на јазиците | Поставени информативни хамер-постери, организирани презентации и квизови, дискусии за придобивките од учењето на нови јазици, занимливости и факти за Европските јазици. | Наставници и ученици<br>Фросина Димитровска<br>Хилда Стефковска<br>Тереза Блажевска |
| Прием во Детска организација | Читање на Конвенција за правата на детето,<br>во училишниот хол беше поставено пано каде беа истакнати правата и обврските на децата и ученичките творби, културна манифестација на која учениците од второ одделение се претставија со ритмички точки и рецитали и на која се изврши прием на првачињата во Детската организација | Наставници и ученици |
| 5 октомври - Ден на учителот | Активност ,,Ученикот во улога на наставник" –учениците како наставници ги реализираа часовите по сите наставни предмети | Наставници и ученици од VI до IX одд. |
| 11 Октомври – Ден на востанието на македонскиот народ | Уредени паноа во училишниот хол со фотографии, хамери со соодветни содржини за историскиот настан, гледање видео запис посветен на празникот,<br>читање реферат преку училишниот разглас | Наставници и ученици |
| 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба | На училишното пано беа истакнати фотографии од истакнати македонски револуционери, фотографии од основачите на ВМРО, целите и мотото на револуционерната борба,изработени хамери и цртежи од учениците, посета на Музејот на македонската револуционерна борба, | Наставници и ученици<br>Лорета Станковиќ<br>Јулија Никовска-Пешевска<br>Татјана Силјаноска-Гочкова<br>Елена Трипуновска-Максимовска<br>Благица Секуловска |
| Литературно-еколошка манифестација ,,Есен во Гази Баба | Литературен конкурс, одржана манифестација, поетско читање на наградените творби, доделени награди | Директорка на училиштето, наставници, стручна служба и ученици |

| | | |
|---|---|---|
| 13 Ноември – Ден на ослободувањето на Скопје | Уредени паноа во училишниот хол фотографии од прошетката низ Скопје, информации за значењето на имињата на скопските општини,<br>прошетка и разгледување на знаменитости на градот Скопје | Наставници и ученици Лорета Станковиќ Татјана Силјаноска-Гочкова |
| 8 декември – Ден на просветителот Св. Климент Охридски | Прочитан реферат за животот, дејноста и значењето на Св.Климент Охридски, изработка на презентација и хамери за животот, дејноста и пораки од Св.Климент | Наставници и ученици |
| Новогодишно украсување | Украсени училници, цртежи на стакло, уреден училиштен хол со рачно изработени украси, изработени новогодишни честитки,изработен видео запис, учество на јавниот повик на Општина Гази Баба за избор на најубаво новогодишно украсен објект, примем на награда на најубаво украсено училиште во Општина Гази Баба, новогодишна забава за учениците и наставниците | Директорката на училиштето, наставници, ученици и стручна служба<br>на училиштето. |
| Одбележување на смртта на Григор Прличев | Изработка на презентација за животот и дејноста на Григор Прличев. уредени паноа во училишниот хол | Татјана Силјаноска-Гочкова, Благица Секуловска,Елена Тасевска |
| Одбележување на годишнина од раѓањето на великанот на македонскотонреволуционерно движење Гоце Делчев | Уредување на паното со фотографии од Гоце Делчев, мисли за Македонија, читање реферат за животот, дејноста и значењето на Гоце Делчев,изработка на портрет за Гоце Делчев | Лорета Станковиќ Татјана Силјаноска-Гочкова, Благица Секуловска |
| 8 Март Ден на жената | Уредено пано со историски важни женски личности од историјата, литературни творби, рачно изработени украси | Ленка Пешевска, Соња Мицевска-Тоточевска Сузана Танева Сузана А.Димовска |
| 21 Март Ден на пролетта и | Чистење на училишниот двор | Љубинка Стоименова, |

| | | |
|---|---|---|
| екологијата | | Христина Јанева, Тереза Блажевска, Славица Мојсоска Христијан Христовски Фросина Димитровска |
| Патронат на училиштето | Во реализацијата на патрониот празник учествуваат сите ученици и наставници од прво до деветто одделение. Под мотото ,," Моќта на традицијата, факел на иднината", секоја паралелка преку различни активности учествуваше во одбележувањето на патрониот празник.Сите реализирани активности беа поставени на веб страницата на училиштето<br>-творење литературни творби, рецитирање извадоци од творештвото на Григор Прличев, спортски активности, ликовни творби на учениците, уредување на паноата,изработка на презентација за периодот на преродбата, општествено-историските услови и творештвото на Прличев, мио активности со партнер училиштето,музички изведби на учениците, положување свежо цвеќе на бистата на Григор Прличев во училишниот двор, читање реферат за животот и делото на Григор Прличев, засадување дрвца во училишниот двор | Директорка, Татјана Силјаноска-Гочкова,Елена Владева Апостолов Јулија Никовска-Пешевска,Елена Тасевска Фросина Димитовска Ива Количев Ленче Пешевска,Николета Нестор,Валентина Славковска ,Сузана Танева,Славица Мојсовска |
| 1 Април Априлијада | Дефиле на маски во училишниот двор и избор на најдобра маска | Тоше Столески, Мартина Христова Дарко Ангелов |
| Велигден | Украсување и изработка на велигденски јајца и украси | Соња Мицевска-Тоточевска Ленак Пешевска Даниела Ристеска |

| | | |
|---|---|---|
| Денот на планетата Земја | Презентација,<br>изработка на постери за планетата Земја,песни | Хилда Стефковска |
| 1 Мај – Ден на трудот | Читање кратки историски информации за денот на трудот, истакнување фотографии на училишното пано од историската борба на работниците за своите права | Лорета Станковиќ |
| Годишнина од смртта на Гоце Делчев | Уредување на паното со фотографии од Гоце Делчев, мисли за Македонија, читање реферат за животот, дејноста и значењето на Гоце Делчев,изработка на портрет за Гоце Делчев,посета на гробот на Гоце Делчев | Лорета Станковиќ, Татјана Силјаноска-Гочкова<br>Тоше Столески<br>Благица Секуловска,Елена Трипуновска<br>Максимовска |
| 5 Мај- Ден на македонскиот јазик | Уредување на паното со хамер за историјата на развојот на македонскиот јазик, мисли од итакнати македонски дејци, фотографии, изработена на презентација поставена на веб-страницата на училиштето, ученички литературни творби | Татјана Силјаноска-Гочкова,Елена Тасевска ,Благица Секуловска,Христина Јанева, Светлана Николовска |
| Ден на победата над фашизмот | Читање реферат преку училишниот разглас, украсување на паното во училишниот двор, следење документарен филм | Лорета Станковиќ, Мартина Христова |
| 24 Мај -Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј | Кратки информации преку разглас за животот и дејноста на сесловенските просветители,истакнување на училишното пано првата словенска азбука – глаголицата ,текстови пишувани со глаголица ,фотографии,мисли од просветителите, изработка на презентација за животот и дејноста на Св.Кирил и Методија | Татјана Силјаноска-Гочкова,Елена Тасевска<br>Ива Количев<br>Светлана Николовска |
| Промовирање на постигнатите | Свечено доделување пофалници и | Директорка на |

| | | |
|---|---|---|
| резултати и промовирање на првенец на генерацијата | благодарници на учениците и доделување сет книги на ученикот на генерација. | училиштето,Мартина Христова,Фросина Димитровска , ,стручна служба |
| Свечено испраќање на полуматурантите | Обраќање на директорката и свечено испраќање на полуматурантите во училиштето,приредба | Директорка на училиштето, Елена Владева Апостолов наставници и ученици, стручна служба |

**Свечен прием на првачињата**

**8 Септември-Ден на независноста на Република Македонија**

**Европски ден на јазиците**

,,Ученикот во улога на наставник”-5 Октмоври-Ден на учителот

Прием во Детска организација

23 Октомври –Ден на македонската револуционерна борба

13 Ноември-Ден на ослободување на град Скопје

super Smede

Литературно-еколошка манифестација  ,,Есен во Гази Баба”

8 декември – Ден на просветителот Св. Климент Охридски






Новогодишни активности

Награда за најубаво украсено училиште во Општина Гази Баба

Изработиле:
Татјана Силјаноска-Гочкова
Лорета Станковиќ
Светлана Николовска

**Годишен извештај за работата на училишната библиотека**
**за учебната 2022/2023 година**

Во училишната библиотека работат наставниците Татјана Силјаноска-Гочкова и Елена Тасевска. Содржините и активностите на библиотеката според програмата се поделени на четири дела:
1. Воспитно – образовна работа;
2. Културна и јавна работа;
3. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите
4. Библиотечно информативна и стручна работа.

**1. Воспитно – образовна работа со учениците**
Изработена е годишна програма за работа на библиотеката за учебната 2022/2023 година. Библиотекарите секојдневно издаваат лектири кон ученици и наставнице, учениците се евидентиирани и задолжени во картон на читателот, со претходни напатствија како да внимаваат на позајмените книги. Организиран наставен час запознавање со училишната библиотека на учениците од прво и второ а/б одделение (разговор и разгледување на библиотеката, свечено зачленување и подарок сликовница за секој ученик).
Наставен час со учениците од 3а/б одд.

**2. Културна и јавна работа**
Во библиотеката се направија промени и уредување , се спроведе и раздолжување на учебници кои не се во употреба кон МОН. Библиотеката е на располагање на учениците и наставниците при изработка на различни проекти со тоа што им дава на користење стари учебници кои не се во употреба, дополнителна стручна литература за соодветниот предмет и просторно со можност за користење на библиотеката при изготвување на проектите. Оваа година се организираше акција со стари/оштетени списанија кои се донираа за потребите на организацијата за слепи лица за изработка на Брајова азбука.

**3. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите**
Запознавање на наставниците и стручната служба со сите новодобиените изданија во библиотеката. Континуирано користење на изданијата од библиотеката од страна на наставниците при реализацијата на наставните планови и програми.
**4. Библиотечно – информативна и стручна работа**
Прием и достава на учебници за учениците, пополнување записници согласно Правилникот за учебници на МОН. Техничка обработка на новодобиените учебници-потпечатување, инвентирање и сместување на книгите. Изработка на

список на потребни лектири. Соработката со издавачката куќа ,,Клик " преку набавка на списанија за потребите на учениците и наставниците.

➢ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО БИБЛИОТКА

| **Извештај** |
|---|
| **Дата : 05.11.2022** |
| **Присутни : 3-а, 3-б** |
| **Натавник: Валентина Славковска** |
| **Активности:**<br>**https://www.youtube.com/watch?v=dxJJDCpDTU4**<br><br>**Со учениците од 3-а/б зборувавме за улогата на училишната библиотека, важноста на книгата. Разговаравме за содржината на Хајди, направивме паралела помеѓу Хајди сликовница, Хајди лектира и цртаниот филм за Хајди.** |
| **Фотографии:** |

| Извештај |
|---|
| Дата : 10.11.2022 |
| Присутни : 1-а , 1-б |
| Активност: Учениците од прво одделение со наставничките Пандорка Јовчевска и Христина Јанева ја посетија училишната библиотека. За време на часот учениците беа запознаени со улогата на библиотеката, начинот на работа и како треба да се |

| |
|---|
| однесуваат спрема позајмените книги. Се спроведе постапката за зачленување и на учениците им се подарија разгледници за домашните библиотеки.<br>https://www.youtube.com/watch?v=CaS0sSi173E |
| **Фотографии:**<br> <br><br> |

| |
|---|
| Извештај : Месец на книгата |
| Дата : месец април |
| Присутни : ученици од 3 до 9 то оделение |
| Активност: Творење на итерен конкур во училиштетео на тема ,,Волшебната моќ на книгата,, |
| **Фотографии:** |

| |
|---|
| Извештај : Саем на книга |
| Дата : |
| Присутни : членови на библиотеката и мултимедијалната секција |
| Активност: Посета на саемот, разгледување на штандовите, запознавање со издавачки куќи. |
| **Фотографии:** |

**Извештај Хуманитарна акција ,, Подари книга”**

По завршената акција за донација на книги во рамките на акцијата: ,,Подари книга “ под мотото ,,Прочитав јас прочита и ти” Фондот во библиотеката се зголеми за:191 наслови од литература за деца, словодна литература и енциклопедии

Со благодарници од училиштето се здобија следните ученици и наставници:

Мила Конески 1-а
Давид Димитриевски 1-а
Кристина Ивановска 5-а
Михаел Костиќ 5-а
Левет Хоџиќ 6-а
Ева Јанкова 6-а
Мила Костадиновска 7-а
Каја Хоџиќ 8-б

Леа Стојмановска 8-а
Дарко Ангелов ( наставник по математика)
Тереза Блажевска ( наставник по германски јазик)
Елена Тасевска ( македонски јазик и библиотека)

**Дата : 23.04.2023**

**Присутни : од I до IX одделение, наставници и родители**

**Активност: донирање на литература за деца**

**Фотографии:**



| |
|---|
| Извештај : За патронат |
| Дата :  март и април |
| Присутни :  Мија Закев, Сво Стојановски и Христијан Менчов |
| Активност:  слектирање на извадоци од Сердарот , насоки за литературно читање со драмска изведба |

Фотографии:

| Извештај Св: Кирил и Методија |
| --- |
| Дата : 24.05.2023 |
| Присутни : Ученици од 5 то до 9 то |
| Активност: литературен и ликовен конкурс на тема словенските рамноапостоли светите браќа Кирил и Методиј |
| Фотографии: |

| Извештај : Посета на издавачка куќа АРС ЛАМИНА |
| --- |
| Дата : 10.06.2023 |
| Присутни : ученици од 3 то до 6 то одд |

Активност: Запознавање со работа на изавачката куќа, презентација на книги со фокус на читањето и неговото значење.

Фотографии:

**Изработиле:**
Татјана Силјаноска-Гочкова
Елена Тасевска

**Месец на книгата**

Активностите за месецот на книгата се реализираа во месец октомври. Во истите учествуваа учениците и наставниците од прво до деветто одделение. Беше организиран литературен конкурс на кој беа доделени награди на учениците чии есеи беа избрани за најдобри. Литературни творби на учениците беа испратени и на литературниот конкурс по повод месецот организиран од Народна Банка по повод 30 години од воведувањето на македонскиот денар. Со цел да се поттикне читањето, учениците ги презентираа своите омилени книги со кои го поминуваат дел од своето слободно време. Учениците од шесто, седмо и осмо одделение, визуелно, секој според својата замисла, преку своите цртежи ги претставија настаните и ликовите од прочитаните лектирните дела. Учениците од IIа и IIб одд.имаа можност да се сретнат со познатиот македонски писател Горјан Петрески. Беше снимен видео запис на кој учениците читаа литературни творби посветени на книгите. Учениците од IIIа и IIIб беа во посета на училишната библиотека со цел да се промовира важноста на читањето, а истовремено имаа можност да се запознаат со изданијата во нашата библиотека. По посетата на библиотеката учениците изработија цртежи, текстови за омилените ликови од детските сликовници, а за реалираната активност беше изработен и видео запис. Учениците од деветто одделение твореа поетски творби со различни мотиви и со примена на изучените видови рими. Пораките што ги носат книгите беа селектирани и уредени со цитати од прочитани литературни дела и мисли посветени на книгите.



Месец на книгата 2022 - IIIа и IIIб

III-Б



Македонски шарпланинец

Зима е... Снегот се појавил и целиот се претворил во една огромна бела покривка која изгледаше како снежен јорган и можеше да ја покрие целата шума. Навистина беше многу студено надвор. Мразулците светкаа од покривите на куќите, а од оџаците излегуваше бел дим кој се веќаше како пупка на небото. Сонцето се трудеше да излезе и да се пробие со летвиты зраци, но нивно не му успеваше. Гледај од време навреме ќе се појавеше по некој сончев зрак, но набрзо повторно ќе исчезнеше.

Мирот и спокојот од тој зимски, снежен ден се прекина со лавежот на огромниот сив шарпланинец кој имаше темни црни очи и огромни шапи. Тој лаеше непрекинато, трчаше на сите страни и следеше кон прозорците од куќиты како да довикува помош. Беше навистина многу вознемирен. Тогаш излезе дедо Димо и почна да го смирува кучето. Но, тоа не престануваше туку како да сакаше дедо Димо да појде со него за да му помогне. Се собраа и останатите селани и појдоа по кучето. Така, следејќи го стигнаа до високиот рид под големата и сува топола. Тука видоа траги од стапки на луѓе и коли. Но,од нив немаше ни траги ни гласс. Се гледаше само огромна прекривка со снег. Кучето стана уште повознемирено. Почна да копа со шапите. Копаше се поврзо и

Изработиле:
Татјана Силјаноска-Гочкова
Елена Тасевска

**Годишен извештај за работата на хор и оркестар при ООУ,, Григор Прличев”**

Активностите на училишниот хор се реализираа согласно планираната годишна програма. Се реализираше аудиција за прием на ученици во училишниот хор и оркестар. На истата се пријавија ученици од 6 до 9 одд. Според критериумите дадени во годишната програма беа избрани членови на училишниот хор. Со членовите беа реализирани часовите согласно распоредот и годишната програма. Беа реализирани подготовки за планирани манифестации ,,Есен во Гази Баба” и Новогодишната забава. Се изврши увежбување на индивидуалните вокални способности на учениците, вежби за распејување и дишење, вежби за правилен пејачки став и развивање на вокалната техника. Групно увежбување за потребите на престојните настапи, дискусија за емоционално доживување на изведбата на композициите. Членовите на училишниот оркестар беа запознаени со жичаните трзачки инструменти, техниките на свирење, демонстрирање на технички вежби, слики, аудио и видео снимки со примена на жичаните трзачки инструменти, правилен начин на свирење и држење на инструментот блок флејта, интерпретација на празнични композиции.

Во второто полугодие беа реализирани подгототовки за патрониот празник на училиштето во кое учествуваше хорот со две композиции, а исто така беше подготвен  бенд од учениците од осмо одделение со самостојна изведба на забавна песна отсвирена на гитара и пијано со вокална придружба.

Училишниот хор имаше и активни подготовки на 2 композиции и зеде учество на натпревар на општинско и регионално ниво организиран од страна на ЗМП и во конкуренција од цела Македонија со освоени 92 од 100 бодови се закити со прва награда доделена од стручното жири составено од акредитирани музички педагози и композитори.

Училишниот оркестар работеше и на усовршување на техниките на свирење на жичан инструмент мандолина, правилно држење и свирење на инструментот, основна скала и ноти.

За завршната приредба за крајот на училишната година, хорот и оркестарот, како и бендови и солисти, вежбаа и настапија на завршната приредба на училиштето за доделување на дипломи и испраќање на полуматурантите. Се вежбаше поединечно, во парови и во групи, секое одделение од петто до деветто одделение имаше за подготовка посебна нумера или точка за изведување. За секоја нумера се вршеше поединечно поучување за свирење на гитара, хармоника, мандолина, пијано, виолончело... Вокалните солисти беа поединечно и групно поучувани како да ја изведат композицијата едногласно, или во двогласје со интервал терца. На крај беа увежбувани песните да се изведат групно

со повеќе инструменти и повеќе вокални солисти. На одредени песни беше увежбувана и кореографија за играње. Приредбата траеше околу час и половина, настапија вкупно 8 солисти со класична музика и 8 бендови по одделенија изведувајќи вкупно 10 нумери.

Изработил,
Елена Владева-Апостолов

# Годишен извештај за реализирани активности за антикорупција

| Ред. број | Тема | Постигнати цели | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Причини и последици од корупцијата | Знаат за поимите корупција,антикорупција,интегритет, социјален притисок, етичност;облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; | Говорна активност,дискусија; кусо предавање | 22.12.2022 |
| 2. | Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | Знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата | Предавање и вежби | 02.02.2023 |
| 3. | Активна борба против корупцијата | Ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата и улогата на Државната комисија за спречување корупција во нашата држава. | Предавање Работилница Говорна активност | 04.04.2023 |
| 4. | Утврдување на знаењата за корупција и антикорупција | Учениците усвоиле знаења за корупција и антикорупција | Прашалник за учениците и активности за повторување | 09.05.2023 |

Изготвил,

Лорета Станковиќ

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ**
**за учебната 2022-23 година**

| р.бр | Реализирана активност | реализатор | време | извори-ресурси | постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Работа на сопствената Годишна програма | педагог | август | годишна прогр. од претходна учебна година, други стручни материјали | поголема ефективност во планираните активности |
| 2. | Запишување и испишување на ученици | директор,педагог,психолог, наставници | тековно | преведници, свидетелства, согласности, барања | овозможување на непречено школување на учениците |
| 3. | Изработување на прегледи за ново запишаните ученици по пол, национална припадност и по одделенија | педагог<br>увид во бројот на учениците по паралелки, пол и етничка припадност | септември | прегледи | увид во бројката на првачиња, соработка со општината, БРО и МОН |
| 4. | Изработка на статистички податоци за почетокот и крајот на учебната година | -педагог | септември | -табели | -соработка со општината, БРО и МОН |
| 11.12.2022 | Меѓународен ден на планините | - разговор како да ги заштитиме планините<br>-важноста за собирање и рециклирање на стара хартија | -наставници<br>- ученици од I - IX одд |
| Декември 2022 | Изработка на предмети од стара хартија<br>Запознавање со поимот рециклирање | Изработки од отпад;<br>Презентирање на изработките | - наставници<br>-ученици од I - IX одд |
| 19.12.2022 | Влијанието на водата врз растенијата | Садење растенија,<br>презентација,<br>дискусија | -наставници<br>- ученици од I - IX одд |
| 01.11.2022г. до 16.12.2022г. | „Програмата за унапредување на образованието за животна средина и<br>климатски промени“ | „Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“, поддржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida) а реализирана од страна на Еко Логик ни испрати 29 подготвени активности/експерименти.<br>Сите одделенски наставници по дадени насоки од Еко логик во период од шест недели ги спроведовме сите активности. | -наставници<br>- ученици од I - IX одд |
| 07.03.2023 | Светски ден на енергетската ефикасност | - разговор како да ја заштитиме планетата<br>-важноста за штедење на енергијата | - наставници<br>- ученици |
| 21-28.03.2023 | Денови на пролетта за заштита на околината | - преку низа онлајн активности за заштита на животната средина започна одбележувањето на „Денови на пролетта - Денови на екологијата " | - наставници<br>- ученици |
| 21 Март .2023 | Денот на пролетта и екологијата | Во нашето училиште по повод Денот на пролетта и екологијата беа организирани активности за средување и разубавување на училишн | - наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | иот двор.<br>Покрај тоа учениците изработија украси од хартија, напишаа еко - п ораки, твореа на тема од екологијата. | - ученици |
| 22.03.2023 | Светски ден на планетата Земј а | -Преку онлајн пријавен настан на Earthday на тимс учениците имаа презентирање, разговор со гостите од Англија кои ги проследија акт ивностите на учениците, на крајот од часот секој од нив во својот до м засади цвеќе за поттик и заштита на животната средина. | - наставници<br>- учениците<br>одд.наст Билјана Лазареск а, Виолета Поповска |
| 25.03.2023 | Светски ден на водите | -онлајн активности и цртежи за значењето на водата и цувањето на природата. | - наставници<br>- ученици |
| 22 април 2023 | Меѓународен ден на планетата Земја | Ликовни, литературни и драмски активности | - наставници<br>- ученици |
| 13.05.2023 | Тема "Сообраќај", | работилница беше учениците да се запознаат со видовите сообраќа ј, транспортот како и процесот на организирање | - наставници<br>- ученици |
| 5 Јуни 2023 | Светскиот ден на животната ср едина | организираа и реализираа акција за собирање пластични шишиња и чистење на училишниот двор. Акцијата е реализирана во соработка со родителот Јелена Којчева. | - наставници<br>-учениците од I до III |

## 15 .Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнувања на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години.

Училиштето прави споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик. Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави во своите индивидуални планирања и се воедначува на ниво на активи. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето. За мотивација на учениците се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавност, на Facebook-страната на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината. На Денот на училиштето, директорот доделува пофалници на сите ученици кои постигнале добри резултати и го промовирале училиштето. Успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик е прикажан во табелите од статистичкиот преглед. Од прво до трето одделение се вкупно 164 ученици кои согласно ЗОО се описно оценети. Постигањата кај сите ученици се индивидуално следени, при што се оценувани знаењата, вештините и различни видови компетенции и се класифицирани во три нивоа според стандардите за оценување. Од вкупно 352 ученици од IV– IX одделение 219 се со одличен успех; 76 се со многу добар; 48 се со добар успех а 9 се со доволен успех. Средниот успех на учениците од IV – IX одделение во училиштето е 4,43. Овој успех е објективен и се должи на реалните критериуми за следење на учениците преку формативно оценување и пореално изведување на сумативна оценка. Во училиштето се посветува големо внимание и на редовноста на учениците на настава и дисциплината во училиштето. Во текот на учебната

година направени се вкупно 8848 изостаноци од кои 8719 оправдани и 129 неоправдани. Оправданото отсуство се однесува на ученици кои биле болни, а најчеста причина за неоправданите изостаноци е доцнењето. Просек на изостаноци по ученик е 17,15 и тоа 16,90 оправдани и 0,25 неоправдани. За нередовните ученици се превземаат соодветни мерки индивидуални разговори со учениците, разговори со родителите, а за недисциплината се изрекуваат педагошки мерки согласно ЗОО и Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Од вкупно 516 ученици сите се со примерно поведение освен 3 ученици со намалено добро поведение.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Под поимот професионална ориентација се подразбираат збир на постапки, почнувајќи од информирање на можностите за образование и видот на професии, се до индивидуално советување. Составни делови на професионалната ориентација се себепознавањето, односно откривање на сопствените потреби и афинитети преку поглед на во сопствената личност, екстерно разбирање, кое претставува поглед во реалниот свет на занимања и професии, како и постапките за следење и водење низ процесот при избор на занимање и носењето на одлука.

Цели на учење во развојот на компетенции за избор на професија на крајот на процесот на професионалната ориентација се:

- Да ги спознаат сопствените желби, вредности, интереси, склоности
- Да ги воочат и проценат сопствените таленти и способности
- Да се стекнат со повеќе детали и увид во можностите за образование и избор на професија кои се во согласност со нивните интереси
- Да размислат за можностите за образование/професија, и да стекнат непосредно искуство од средбите со претставници на одделни професии како и варијабилноста и променливоста на истите со текот на времето
- Да ги препознаат актуелните професии како и варијабилноста и променливоста на истите со тек на времето
- Да се запознаат со профилите на образование и работа на културна, економска, социјална и еколошка гледна точка

- Да го согледуваат влијанието на новите технологии на различни области на занимање и живот
- Да ги земат предвид ризиците по однос на здравјето на определени професии на работа
- Да стекнат увид за видот на професии преку посета на реални средини во кои оперираат професиите/занимањата
- Да препознаат различни можности за образование кои се во согласност со нивните специфични барања и компетенции
- Да изградат лична стратегија за планирање на нивното образование, кариера и живот
- Да ги надминат стереотипите и да ја почитуваат родовата еднаквост во изборот на професија
- Да направат споредба на профилот на личност со профилот на образование и кариера и да направат проверка во поглед на одлуката која ја донеле

Преку резимирање на најважните цели во учењето во однос на развој на компетенциите, учениците ќе можат да:

- Ги откријат, истражат и преиспитаат сопствените желби, вредности,интересирања, афинитети
- Ги воочат и проценат сопствените таленти и надареност
- Ги запознаат барањата за стручни работи и школување
- Стекнат подетален увид во понатамошното школување
- Да размислат за светот на работата, да стекнат непосредно искуство преку реални средби со светот на работата и да го согледаат значењето на тој свет за поединецот и општеството
- Да ги согледаат актуелните занимања како и променливоста на истите
- Да го запознаат светот на работата од културен, економски, социјален и еколошки аспект
- Го согледуваат влијанието на новите технологии врз различните занимања
- Да градат лична стратегија за сопствено планирање на школувањето, кариера и живот
- Ги надминуваат стереотипите и почитуваат родова рамноправност во светот на професиите
- Го споредуваат профилот на личност со профилот на барања за школување и кариера и да го проверат во поглед на одлуката

Програмата содржи пет чекори кои содржат активности за реализација на поставените цели:

1. **Самозапознавање** – препознавање на сопствените капацитети, способности, интересирања, вредности и склоности.
2. **Информирање за занимањата** – прибирање на податоци за занимањата, анализа и структуиран начин на обработка на информациите така што овозможува добра информираност за изборот на занимања.
3. **Можности за школување** – запознавање со можностите за школување и кариера кои водат до остварување на саканата професија.
4. **Реални средби со светот на занимањата** – средби со претставници на занимањата, информирање за занимањата и практикување занимања во фирмите.
5. **Одлука за изборот на занимања** – анализа на сопствениот пат на професионална ориентација и донесување на одлука за идно занимање.

| **Годишен извештај реализирани активности за ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА на учениците за учебна 2022-2023 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реализирани активности** | **Цели** | **Носители на активности** | **Форми/ методи на работа** | **Ресурси** | **Постигнати ефекти** |
| Вовед во професионална ориентација – „ Зошто е важен вистински избор на професија и образование“ | Подигнување на свеста за важноста на вистински избор на образование и професија<br><br>Поим за професионална ориентација како интегративен пристап во одлучувањето | Стручни соработници<br><br>Одделенски раководители<br><br>Ученици од осмо и деветто одделение | Дискусија | Мали листови хартија<br><br>Прибор за пишување | Развивање на самосвест за самостојно одлучување за избор на образование и важност за вистински избор на образование |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Работилница: ,,Кога ќе пораснам сакам да бидам....,, Животни вештини | Да осознаат учениците дека она што го посакуваат да го остварат во добар дел зависи од нивните способности и нивната подготвеност да ги прифатат предизвиците | Одделенски раководител<br><br>Ученици од деветто одделение | Работа во парови и групна работа | Мали листови хартија<br><br>Прибор за пишување<br><br>Табла и креда | Потврда на осознавањето за важноста на самодовербата |
| Работилница: Силни и слаби страни | Подигнување на свеста кај учениците за да ги осознаат и препознаат своите силни и слаби страни и истите да ги подобрат | Психолог | Индивидуална работа | Мали листови хартија<br><br>Прибор за пишување | Развивање на свесност за своите можности и способности |
| Проективна техника пишување есеј на тема:<br>Писмо од иднината | Подигнување на свеста кај учениците за да ги осознаат и препознаат своите силни и слаби страни и истите да ги подобрат | Психолог | Индивидуална работа | Листови хартија<br><br>Прибор за пишување | Учениците стекнуваат увид во поглед на процесот на донесување одлука |
| Иструменти за утврдување на интересите | Проценка на личните интереси на учениците | Психолог | Индивидуална работа | Инструмент за утврдување на интересите – RIASEC | Осознавање на сопствените интереси |
| Професионално информирање<br><br>Споделување на конкурсот на учениците од VIII и | Стекнување знаења за различни информациски понуди за видови училишта и професии, развивање на вештини за активно | Раководители на паралелки<br><br>Психолог | Групна<br><br>Индивидуална | Презентации | Учениците се информираат ( им се препорачуваат веб страни кои содржат листа на средни училишта, професии, образовни струки и профили ), ги |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| IX одделение | и самостојно користење на расположливите информациски понуди | | | | воочуваат разликите и во согласност со сопствените интереси, прават детален преглед на избраните училишта |
| Презентирање на средните училишта | Запознавање со можностите и условите кои ги имаат училиштата | Ученици од деветто одделение<br>Професори, стр. соработници од средните училишта | Презентации и Дискусии | Презентации<br>Брошури | Препознавање на различни можности за образование согласно професионалните интереси и желби |
| Соработка со родителите за поддршка во донесување на самостојна одлука од страна на учениците за избор на посакувано училиште | Неутрализирање на родителското влијание врз изборот на професија<br>Улогата на родителското влијание во поддршката на изборот на образование/професија | Одделенски раководители<br>Ученици од деветто одделение<br>Стручни соработници | Советодавна-консултативна соработка | / | Поттикнување на родителската улога во поддршка на изборот на професија, но не и директно влијание |
| Анкетен прашалник за учениците од IX одделение | Учениците самостојно да донесат одлука за изборот на средно образование и идна професија | Ученици од деветто одделение<br>Психолог | Групна работа<br>Дискусија | Анкетен прашалник | Учениците стекнуваат увид во поглед на процесот на донесување одлука |

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности.

Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител / старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците. Во текот на учебната година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност).

**Чекори во интервенцијата – постапки и процедури во заштита на децата од насилство**

За да бидат процдурите и постапките што поефикасни, важно е да бидеме свесни што сакаме да постигнеме со секој преземен чекор. На насилство се реагира веднаш, со цел да се обезбеди најдобра заштита на детето.

1. Препознавање и откривање е првиот чекор во заштита на децата од насилство. Во некои ситуации знаците на насилство се очигледни, додека во други ситуации е многу тешко да се открие проблемот.
2. Прекин на насилство е обврска на сите кои имаат какво било сознание или сомнение дека тоа се случува. На детето му се пристапува со разбирање и доверба.
3. Смирување на ситуацијата е обезбедување на сигурност за детето, разговор со учесниците и набљудувачите/сведоците.

- **Извештај од спроведени активности/работилници и предавања**

| **Содржина на активноста /работилници/предавања** | **Цел** | **Ресурси** | **Учесници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| ◊ Запознавање на вработените со упатството за постапка за пријавивање и заштита на ученик жртва | ◊ Запознавање на наставниците со новата програма за ненасилство во училиштата и нејзините цели за новата учебна година 2022/2023 | Материјали од обука и стручни материјали, интернет | Директор и стручна служба | Септември |
| ◊ Информирање на учениците од одд. заедница за изработка на интерен акт за промоција на добросостојбата на учениците и заштита од сите видови насилство | ◊ Запознавање и вклучување на учениците во изработка на интерен акт за за промоција на добросостојбата на учениците и заштита од сите видови насилство согласно Упатството | Стручен материјал и материјали од интернет | Стручна служба Наставници | Септември |
| Работилница на тема „ „Другарство“<br>Препознавање на насилство и справување со насилството“ | ◊ Подогнување на свеста и промена на вредностите и ставовите за различностите, човековите права, родови еднаквости, ненасилна комуникација, развивање на емпатија и почитување на интегритетот и достоинството на другите. | Прирачници, протоколи, препораки, истражувања за состојбата, упатсво за заштита,<br>интерни акти | Катерина Б.Костадиноска - педагог<br>Драган Димитровски-предметен наставник<br>Ученици од VI-1 одд. | Октомври<br>Ноември |
| Творење ликовни творби | Промовирање на новата | Детски цртежи со | Катерина Б.Костадиноска- | 23.11.2022год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| „Ненасилство“ | програма за ненасилно однесување преку цртежи | тема на ненасилство | педагог Везира Идризовиќ-предметен наставник<br>Ученици од 9 одделение | |
| Работилница | | | | |
| Предавање на тема: “ Безбедно користење на интернет” | ◊ Целта на едукативната работилница беше учениците да научат како да се заштитат и безбедно да бидат на социјалните медиуми | Стручен материјал и материјали од интернет | Катерина Б.Костадиноска-педагог | 16.09.2022год |
| Работилница за ментално здравје | Учениците да ги зајакнат личните компетенции | Листови, хамер, ножици, боици, списанија, весници | Катерина Б.Костадиноска-педагог<br>Моника Софронијевска - психолог | февруари |

**Реализирани активности „Училиште без насилство“ во рамките на Годишните програми по активи во одделенска настава за учебната 2022/2023 година**

| Вид на активност /работилница | Цел | Ресурси | Учесници | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Тема:Јас и околината/однос со надворешната средина<br><br>Работилница V-1.2 | ◊ Да знае за опасни постапки (однесување со непознати) и ситуации со кои може да се соочи на одредени места | Прирачник за Животни вештини<br>Работен лист за наставникот<br>Листови за цртање | Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Ученици од второ одделение | 23.05.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| „Безбедно-небезбедно“ | | Боици<br>црвен и зелен круг од подебела хартија<br>табла/креда | | |
| Тема: Јас и ти,интерперсонални односи<br>Работилница II-8.1<br>„Ненасилство-стоп“ | ◊ Да знае за определени видови насилничко однесување (исмејување,навредување,<br>◊ Да знае каде може да побара заштита од насилничко однесување кон неа/него | Прирачник за Животни вештини<br>Работен лист<br>Црвен хартиен круг со нацртано тажно лице<br>Зелен хартиен круг со нацртано среќно лице<br>Прибор за пишување | Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Ученици од второ одделение | 06.06.2023 |
| Јас и ти – Интерперсонални односи-комуницирање<br>Работилница II -7.7 „Како до подобар збор?“ | ◊ Да умее да изразува незадоволство без да го навреди/повреди другиот<br>◊ Употреба на добри, учтиви зборови при комуникација меѓу луѓето<br>◊ да согледа дека добриот збор ги подобрува односите со другите,а лосиот ги нарушува | Работен лист за наставникот „Како до подобар збор“<br>Лист стара хартија за секое дете<br>А3 формат на лист<br>селотејп | Елизабета Пејкоска<br>Ивана Јовановска<br>Ученици од трето одделение | 29.11. 2022 |
| Преземање одговорност за постапките | ◊ Да ги знае должностите и одговорностите во семејството и дделението<br>◊ Да може да дава идеи за санкции при непочитување на | Прибор за пишување<br>Листови за цртање | Билјана Лазаревска<br>Билјана Арсовска<br>Ученици од четврто | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница „Правила на групата“ | правилата<br>◊ Да умее да ја види сопствената грешка и да одобрува постоење правила и санкции за нивно прекршување | Боици<br>Хамер/голем лист за пишување | одделение | 07.03.2023 |
| Дебата на тема „Како би помогнале доколку забележите дека има насилство врз другарка ти“ | Да умеат да да се справат со насилството од врсниците за да не станат жртви на малтретирање | Листови за цртање<br>Боици<br>Прибор за пишување | Билјана Лазаревска<br>Билјана Арсовска<br>Ученици од четврто одделение | 17.05.2023 |
| Тема1-Моето опкружување –<br>Историја и општество<br>Работилница „Односи меѓу деца (вистинско пријателство, пријателство од корист, поткупување, групен притисок)“. | ◊ Идентификува особини на вистинско и искрено пријателство.<br>◊ Да разликува непотизам, мито и корупција.<br>◊ Да го вреднува родовото базираното насилство како несоодветно. | Стручен матерјал и материјали од интернет | Елена Колева<br>Даниела Наковска<br>Ученици од V одделение | 05.10.2022 |
| Тема Јас и ти интерперсонални односи<br>Соодржина-Справување со емоции<br>Работилница “Контрола | ◊ Да прифати дека луѓето може,сосема неоправдано да бидат жртва на туѓа лутина и бес | Прирачник Животни вештини<br>Работен лист<br>Прибор за пишување | Весна Аврамовска<br>Тања Стреоска Урумовска<br>Ученици од прво | 29.11.2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на сопствената лутина“ | | | одделение | |
| Работилница Од набљудувачи до активни сојузници | * развивање емпатија кај учениците | Презентација<br>Листови | Моника Софронијевска | Декември |

**ИЗВЕШТАЈ <u>од работата на тимот задолжен за грижа за здравјето на учениците во учебната 2022/2023 година</u>**

Учебната година се одвиваше со поголема претпазливост заради безбедност и заштита на учениците. Тимот оваа година, покрај програмата за работа, учествуваше и во донесување и остварување на протокол за заштита од вирусот. Учениците со физичко присуство беа пречекувани и испраќани по посебен протокол со минимален меѓусебен физички контакт, беа обезбедени апарати за бесконтактно дезинфицирање на раце, за мерење температура, беа активни пет различни влеза, покрај тоа беше обезбедена и соба за изолација на ученици со какви било симптоми на болест, а наставниците беа организирани Поради пандемијата со COVID-19 вирусот, активностите кои беа предвидени да се реализираат во текот на оваа да придонесат за максимално придржување на протоколите.

Хигиената во училиштето се одржуваше со засилени, почести активности и специјализирана машина за чистење на подовите.

Учениците на почетокот на годината беа животно осигурани во осигурителната компанија „Кроациа“.

Сите предвидени прегледи и вакцинации се одвиваа внимателно и во соработка со здравствениот дом каде се спроведоа.

• Извршени се редовни задолжителни општи систематски прегледи за учениците од I ,III,V и IX одделение.

• Извршени се редовни задолжителни стоматолошки прегледи за учениците од I, II, III, IV,V,VI ,VII одделение.

-Вакцинација на учениците во Поликлиника Сингелиќ согласно редовниот Календар за имунизација на учениците од I до IX одделение.

Заради стекнување навики за правилна исхрана и одржување на сопственото здравје, во текот на целата учебна година се одржаа предавања од страна на класните раководители, а уште на почетокот на годината учениците и родителите беа запознаени со протоколите за здравствена заштита и им беше држено предавање на сите ученици за заштита од вирусот.

Во организирањето и реализирањето на програмата беа вклучени: директор, стручна служба, одговорен тим, ученици и наставници. Сите учествуваа активно и со голема посветеност.

## 16. Оценување

### 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците согласно ЗОО. Интерното се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди.Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот па се до третиот период. По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи). План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во дневниците. Во текот на наставно – воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата. Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето.

Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета на разни семинари, обуки за

Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците, а на ниво на училиште беа донесени потребни акти – Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште и поставени стандарди и критериуми по секој предмет. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото и третото тромесечие и на полугодие добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат бројчани оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки.

Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот, стручната служба и училишниот тим за оценување. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено програма за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критреријумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на

родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците. Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди (тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.). Педагогот изготвува извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тримесечија, на полугодие и на крајот на годината према податоци добиени од одделенските раководители како и за поведението и редовноста на учениците по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик. Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи и согласно на тоа се дава поддршка за подобрување на резултатите. Оваа учебна година настават во прво и четврто одделение се реализираше според новата Концепција за основно образование, а вреднувањето на постигањата на учениците се реализираше согласно Националните стандарди за основно образование.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручната служба изврши Увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент со кој се воочуваат различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Стручните посети се одржуваат најмалку два пати во полугодие или четири пати во текот на учебната година. Исто така континуирано вршат увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност.

**Годишен извештај за реализација на планот за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**

| Реализирани активнос | Носители на активност | Ресурси | Време на реали | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|

| ти | ите | | зација | |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето за посета на часови | - Директор<br>- Стручни соработници<br>- Наставници | - Анализа на состојбата<br>- Распоред на часови<br>-Стручни материјали<br>-Извештај од посетени часови | Септември | -Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализација на наставата преку посета на часови и воннаставни активности | - Директор<br>- Стручни соработници | -Годишни и тематски планирања на наставниците<br>-Дневни подготовки на наставниците<br>-Извештаи од воннаставни активности<br>-Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците и воннаставните активности | Октомври<br>Ноември<br>Март<br>Мај | -Квалиетна реализација на наставните часови<br>-Користење на современи приоди во наставата<br>-Подобрени воннаставни активности на учениците |
| Изготвување на извештаи од увид во планирањата на наставниците и посетата на наставите часови | - Директор<br>- Стручни соработници | -Извештаи<br>-Инструменти за евалуација на часот | По завршување на следењето | -Откривање на јаките и слаби страни во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес |
| Евалуација | - Директор<br>- Стручни соработници<br>-Наставници | -Програми и дневни подготовки на наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на наставните часови-пополнети инструменти | Мај<br>Јуни | -Ефективна настава и воннаставни активности |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето за реализација на програмите врши самоевалуација согласно членот 146 од ЗОО на крајот на секоја втора наставна година. Самоевалуацијата која опфаќа седум области ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор

**Самоевалуацијата се спроведува во три фази:**

1. Подготвителна фаза
2. Фаза на реализација
3. Фаза на известување и усвојување

Вршењето на самоевалуацијата не влијае на реализацијата на воспитно-образовната работа во училиштето. Резултатите од спроведената самоевалуација овозможуваат утврдување на слабите и силни страни на училиштето кои се земаат во предвид при изготвувањето на Програма за развој на училиштето.

| Реден б | Активност | Носител | Постигнати ефекти | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Административни подготовки за реализирање на самоевалуацијата | Стручна служба | Изготвени индикатори за квалитетот на работа на училиштето | Октомври<br>Ноември |
| 2 | Состанок со наставниците од одделенска и предметна | Стручна служба | Формирани работни тимови за спроведување на самоевалуацијата<br>Упатства и насоки за тековниот процес на самоевалуацијата | Февруари во тековната учебна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Состанок со секој работен тим за самоевалуација на училиштето | Стручна служба | Разгледување на сите активности за секој тим посебно | |
| 4 | Индивидуални разговори со членови од работните тимови за самоевалуација на училиштето | Стручна служба | Разгледување на конкретни активности | Март во тековната учебна година |
| 5 | Изготвување на анкети,интервјуа и разговори за состојбата на училиштето | Стручна служба | Изготвени анкети | Април во тековната година |
| 6 | Спроведување на анкети за наставници, директор, стручна служба, родителите и ученици | Тимови за самоевалуација | Увид во фактичката состојба на училиштето | |
| 7 | Обработка и анализа на резултатите од спроведените анкети | Тимови за самоевалуација | Поединечни и заеднички извештаи | Мај во тековната учебна година |
| 8 | Уврдување на слаби и силни страни за работата на училиштето | Стручна служба<br>Тимови за самоевалуација | Увид во фактичката состојба на работата и превземање активности за подобрување на истите | |
| 9 | Изготвување на извештај за самоевалуација на училиштето | Комисија на училиштето за самоевалуација | Извештај за самоевалуација | Јуни во тековната година |
| 10 | Доставување на извештај за самоевалуација на училиштето | Комисија на училиштето за самоевалуација | Доставување до Директор, Училишен одбор,основач (објавување на веб страната на училиштето и на општината) | |
| 11 | Доставување на извештај за самоевалуација на училиштето | Комисија на училиштето за самоевалуација | ДИЦ | |

## 17.Безбедност

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош. Формираниот училишен тим на Црвениот крст составен од наставници и ученици се обучени за помош при пожари и природни катастрофи. Предвидените активности се реализирани во текот на учебната година.

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош. Формираниот училишен тим на Црвениот крст составен од наставници и ученици се обучени за помош при пожари и природни катастрофи. Предвидените активности се реализирани во текот на учебната година.

**18. Грижа за здравјето**

**ИЗВЕШТАЈ од работата на тимот задолжен за грижа за здравјето на учениците во учебната 2022/2023 година**

Хигиената во училиштето се одржуваше со засилени, почести активности и специјализирана машина за чистење на подовите.

Учениците на почетокот на годината беа животно осигурани во осигурителната компанија „Кроација“.

Сите предвидени прегледи и вакцинации се одвиваа внимателно и во соработка со здравствениот дом каде се спроведоа.

• Извршени се редовни задолжителни општи систематски прегледи за учениците од I,III,V, IX одделение.

• Извршени се редовни задолжителни стоматолошки прегледи за учениците од I, II, III, IV,V,VI ,VII одделение.

-Вакцинација на учениците во Поликлиника Сингелиќ согласно редовниот Календар за имунизација на учениците од I до IX одделение.

Заради стекнување навики за правилна исхрана и одржување на сопственото здравје, во текот на целата учебна година се одржаа предавања од страна на класните раководители, а уште на почетокот на годината учениците и родителите беа запознаени со протоколите за здравствена заштита и им беше држено предавање на сите ученици за заштита од вируси.

Во организирањето и реализирањето на програмата беа вклучени: директор, стручна служба, одговорен тим, ученици и наставници. Сите учествуваа активно и со голема посветеност.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал. Преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

## 18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои ќе бидат реализирани без да се попречува наставата и во придружба на класниот раководител. Систематските прегледи ги опфаќаат учениците од I, III, V и VII одделение, а стоматолошките прегледи ги опфаќа учениците од I, IV, V, VI, VII одделение.

## 18.3. Вакцинација

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците од I, II, VII и IX одделение, која се реализира во здравствената установа, Поликлиника Ченто - оддел за училишна возраст, во придружба на класниот раководител. Училиштето задолжително го информира родителот/ старателот на ученикот за спроведувањето на вакцинациите

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната година, училиштето континуирано реализира едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања, трибини и работилници. Во училиштето се реализираат активности од кампањата „Здрава храна“, со учество на учениците, родителите и наставниците. Кампањата е медиумски покриена и има цел подигање на свеста и едукација на учениците за здрава исхрана, поттикнување на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница.
Училиштето на почетокот на учебната година обезбеди исхрана за учениците од целодневна настава, согласно Нормативот за здрава храна и истото успешно се спроведе до крајот на учебната година.

## 19.Училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима. Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

## 19.1. Дисциплина

Во учебната 2022/2023 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени тежнееја кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.Нормативното уредување во училиштето се реализира преку имплементација на повеќето правилници и акти: Куќен ред, Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на наставниците, Кодекс на однесување на родителите, Правилник за педагошки мерки. Училиштето водеше посебна грижа за почитувањето на етичките кодекси од страна на сите структури и тоа: директорот,наставниците, родителите на учениците.

На почетокот на учебната година се определија одговорни дежурни наставници од редовите на одделенска настава кои ќе се грижат за дисциплината пред и по часовите како и за време на одморите. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водеа разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. Со своите активности во рамките на ученичките заедници учениците земаа активно учество во иницирање, изготвување и донесување на наведените кодекси и правилници. Воспитно образовниот процес во училиштето се одвиваше според Кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите.Училиштето постапуваше според Правилниците во кои се предвидени и постапките кои ќе се превземаат при пофалување, наградување како и при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот

Во учебната 2022/2023 година во училиштето се водеше грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Во сите училници за ентериерот се грижеа наставниците и учениците, додека за уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување. Во училиштето исто така се водеше грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини и поставените клупи.Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето

Одржани активности за екстетко уредување на училишниот простор и училишниот двор:

**Септември**

- ***1 септември- Украсување на училишниот хол по повод првиот училишен ден за првачиња***

Приемен ден за првачиња одржан на 01.09 2022 одржан во училишниот двор .

- ***10 до 12 септември-Разубавување на училишниот хол*** ( сликање на ѕиден мурал во холот на училиштето).

Цели : разубавување на училишниот хол преку ликовното изразување

Во активноста учествуваа учениците од ликовната секција и наставничките Везира Идризовиќ и наставничката Тања Стреоска Урумовска.

- ***21.септември –меѓународен ден на мирот***

Цели: намалување на предрасудите и насилството ;промовираање на поголемо почитување и достоинство за сите

Учениците од трето до петто одделение засадија дрва во училишниот двор .

**Октомври**

- ***8 октомври -Обележување на меѓународниот ден за заштита на природата***

Цели: подигнување на еко свеста ; информирање за бенефитот од рециклирање на отпадот

Учениците заедно со наставниците од I- (прво) до V-(петто) одделение учествубаа во разни активности за обележување на меѓународниот ден за заштита на природата.

Украсување на училниците, (изложба на ликовните дела ), селектирање на цртежи за училишна изложба и изработка на Еко пораки.

**Декември**

- Изработка на новогодишни украси од различни материјали;
- Распишување на конкурс на најубав новогодишен украс;
- Украсување на училишните простории,училници и училишниот хол.

Цели: разубавување на училиштето; развивање на свеста за естетското уредување на простор; развивање на свеста за рециклирање на материјали.

Наставниците заедно со учениците ги уредуваа своите кабинети и училници и училишниот хол. Учениците изработуваа новогодишни украси и декорации од разни рециклирачки материјали кои се користеа за разубавување на училиштето. Учениците заедно со наставниците на часовите по ликовно образование твореа на тема ,, Нова година ‘’ и своите ликовни изработки ги изложија на училишните паноа.

**Март**

***1 март,, Изработка на мартинки ‘’***

Цели: пренесување на порака на љубов и насмевки на секое детско лице

Учениците заедно со наставничките изработуваа различни креации мартинки во црвено-бела боја кои ги изложија на големо пано.

***24 март одбележување на месецот на Франкофонијата и на францускиот јазик .***

Цели: запознавање со францускиот цивилизација,јазик,култура.

***21.март – Денот на пролетта и екологијата.***

Цели : потикнување на учениците за развивање и негување на еколошката свест;важноста за грижење на нашата планета Земја.

Организирање и реализирање акттивности по повод одбележување на денот на пролетта и екологијата во нашето училиште преку организирање на активности за средување и разубавување на училишниот двор.

Поктај тоа учениците изработиле украси од хартија, напишаа еко пораки и твореа на тема од екологијата.

**Април**

***2 април –Меѓународен ден на лица со аутизам***

Цели: подигање на свеста за лица со аутизам;

- ,,Еден свет за сите ‘’

По повод одбележување на лица со аутизам нашето училиште организираше низа активности за подигање на свеста за лицата со аутизам. Во периодот од 28.03 до 01.04.2022 год, се реализираа активности за сите ученици под мотот ,,Еден свет за сите ‘’

Учениците од ликовната секција за одбележување на овој ден изработија сложувалка голем формат и изработија видео.

**Мај**

- ***12 мај -Еко акција ПХВ проект***

Цели: да се подигне свеста за зачивување на животната средина.

Еко акција на ПХВ тимот на 12 мај во училишниот на нашето училиште беа засадени 5 родни садници како јаболка,праски,сливи. Во склоп на оваа активност ПХВ обезбеди и соларни светилки кои ги поставија во училишната градина.

***20 Мај - Патронен празник***

Цели: одбележување на постојан успех на успех на училиштето;

Одбележување на 47 години од празнувањето на патронен празник на училиштето под инспиративно мото ,,Биди сонце меѓу облаците , наставниците заено со учениците испратиле гласна порака за љубов,толеранција, мир и слобода.

Присутните уживале во точките од учениците под менторство на наставничката Јасмина Трајковиќ.

**Јуни**

***-Разубавување на училиштето со сликање на зидни мурали***

Цели: развивање на чувство на естетско уредување на просторот;грижење за изгледот и разубавување на училиштето

Учениците од ликовната секција изработија Мурал со кој што го разубавија просторот во училиштето.

- ***5 јуни ,,Светскиот ден на животната средина ‘’***

По повод ,,Светскиот ден на животната средина, наставничките од второ одделение организираа и реализираа акција за собирање на пластични шишиња и чистење на училишниот двор, во која учествувале учениците од прво и трето одделение.

## 19.3.Етички кодекси

Во училиштето се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е видно изложен.

## 19.4.Односи меѓу сите структури

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби.

Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за

сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот Одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За подобрување на комуникацијата помеѓу критичните точки исто така се организираат состаноци, работилници и дебати.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека

наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат. Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

**20.2. Активности за професионален развој**

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука. По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваат и наредните потреби за професионален развој.

**20.3. Личен професионален развој**

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ. Директорот на училиштето го одобрува планот, на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го

сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директорот и стручен соработник во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие.

**20.4. Хоризонтално учење**

Во нашето училиште се креира училишна политика за хоризонтално учење, имајќи предвид дека истото е особено важно за подобрување на квалитетот на наставната дејност. Во оваа смисла, се планираат и реализираат повеќе активности. Имено, се практикуваат различни начини за пренесување и размена на знаењата и професионалното искуство. Се негуваат форми за поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, преку одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки со цел зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, почитувајќи го мислењето на секој поединец.

**20.5. Кариерен развој**

Во нашето училиште се изработува план за поддршка на воспитно обрзовниот - кадар за нивно кариерно напредување. Со цел наставниците и стручните соработници да можат да одговорат на потребите на современите трендови во воспитно-образовниот процес се наметнува потребата од нивен континуиран професионален и кариерен развој.

Редовно се следи работата на наставниците и нивното кариерно напредување. Се настојува напредување преку разни докази за професионална практика: посетени часови и други наставни, воннаставни и вонучилишни активности, акциски истражувања и проекти кои се реализираат во нашето училиште и надвор од него. Се поддржува професионалниот развој и спроведување на новата концепција согласно компетенциите. Развојната политика во училиштето се реализира преку проекти, работилници и тренинзи, дадени од училиштето или во соработка со организација надвор од училиштето.

## Извештај од посетени обуки на воспитно-образованиот кадар за учебна 2022-2023 година

| Наставник | Обука | Организатор | датум | улога |
|---|---|---|---|---|
| Билјана Лазаревска | Работна конференција „НАЦИОНАЛНИ КОНСУЛТАЦИИ ЗА ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО“ | SmartUp - Social Innovation Lab Едуино - UNICEF MK БРО, МОН и МТСП. | Јули 2022 | Учесник во работилница |
| Билјана Лазаревска | MIE EXPERT - Microsoft Innovative Educator Expert class 2022-2023 | Microsoft Innovative | 02.08.2022 | Полаган испит за Мие Експерт 2022-2023 |
| Билјана Лазаревска | STEM Out of The Box: A STEM Approach to Non-STEM Subjects | European Schoolnet Academy | 12 September - 19 October 2022 | слушател |
| Билјана Лазаревска | Robotics versus Bullying is an Erasmus+ Project KA3 – Support for Policy Reform (612872-EPP-1-2019-1-IT-EPPKA3-PI-FORWARD) approved my the European commission Пријатели на образование | Erazmus Friends of Education | 17ти и 18ти септември 2022 | предавач |
| Билјана Лазаревска | „Развивање програми за реализација на<br><br>слободни изборни предмети“ | SmartUp - Social Innovation Lab Едуино - UNICEF MK БРО, МОН и МТСП. | 29.09.2022 | Слушател |
| Билјана Лазаревска | Работилница: СТЕМ училишта, како да се зголеми интересот за СТЕМ наставата и како да се развие добра СТЕМ училишна стратегија | Center for innovations and digital education Dig-Ed | 30.09 -01.10.2023 | Учесник во работилница |
| Билјана Лазаревска | "„Добри практики со кристење на мобилните | Диг- ед | 18.10.2022 | предавач |
| Билјана Лазаревска | Стратегии за менаџмент во училница | Цес | 30.09-01.11.22 | слушател |
| Билјана Лазаревска | EU Code Week | Friends of Education | 26.10.2022 | Предавач како Leading Teacher Code Week |
| Билјана Лазаревска | Climate Action Day | Climate Action Day | Noemvember 3 2022 | слушател |
| Билјана Лазаревска | Систематизирање на мислења и идеи за поквалитетно образование.<br>„ЕДУИНО амбасадори: Заедно кон | SmartUp - Social Innovation Lab Едуино - UNICEF MK | 25,26,27.11.2022 | Учесник на работилница |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подобро образование“ | БРО, МОН и МТСП. | | |
| Билјана Лазаревска | School plastic free | Erazmus | 28.11-04.12.2022 | предавач |
| Билјана Лазаревска | "„Мобилните апликации во СТЕМ наставата“" | Диг- ед | 21.12 .2022 | слушател |
| Билјана Лазаревска | Roby во совладувањето на математичките дилеми | Friends of education | 16.12.2022 | предавач |
| Билјана Лазаревска | Пирамида на вредности | Friends of education | 16.03.2023 | предавач |
| Билјана Лазаревска | 2023 STEM Discovery Camping | Europian Schoolsnet | 01.02- 30.04.2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | Новинарски клуб Медиумска писменост Творилница проект за Талентирани ученици | Творилница проект за Талентирани ученици | 28.03.2023 | предавач |
| Билјана Лазаревска | Scientix Ambassador | Europian Schoolsnet | 24.05.2023 | Полаган тест за амбасадор |
| Билјана Лазаревска | SATS: M&M – Maths and Maker Pedagogy | Scientix-Ambassadors / Scientix Ambassador Training Sessions EUN Partnership AISBL | 6/6/2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | SATS: SAMR model – Infusion of technology and tools we can implement starts | Scientix-Ambassadors / Scientix Ambassador Training Sessions EUN Partnership AISBL | 6/7/2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | SATS: Creation of a variety of assessments to evaluate STEM Competencies in teachers and students | Scientix-Ambassadors / Scientix Ambassador Training Sessions | 6/8/2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | SATS: Ocean Literacy for All – Practical labs to be performed in the classroom | EUN Partnership AISBL | 6/12/2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | Peer learning and game-based approach | Scientix-Ambassadors / Scientix Ambassador Training Sessions | 6/18/2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедница за учење, менторство и сл.) | Цес | 21.06-22.06.2023 | слушател |
| Билјана Лазаревска | XIII Международен педагогически форум на тема „Образователни трансформации – технологии, добродетели, благополучие” и | ДИПКУ - Стара Загора | 22.06-25.06.2023 | предавач |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одличната соработка со Тракийски Универзитет | | | |
| Милена Манчиќ Пауновска | Диференцијација и индивидуализација во наставата | ООУ „Вера Јоциќ“ Гази Баба | 19.09.2022 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети | Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието | 29.09.2022 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Методи и пристапи за учење преку решавање проблеми со фокус на климатските промени | Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието | 13.10.2022 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | АДХД | ООУ „Вера Јоциќ“ Гази Баба | 01.02.2023 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Нашите ученици во светот на критичкото мислење и медиумската писменост | Завод за унапредување на образованието и воспитувањето на Република Србија | 20.02.2023 до 28.04.2023 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Родителите и децата од дигиталната генерација | Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието | 30.03.2023 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Визуелни дезинформации и фотофорензика | Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието | 06.04.2023 | учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Говор на омраза во олајн медиумите | Министерство за образование и наука Биро за развој на | 12.04.2023 | учесник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | образованието | | |
| Милена Манчиќ Пауновска | Проект за унапредување на основното образование – МОН - ДИЦ | Изработка на национални тестови за 5 одделение по македонски јазик | 12 – 15.10 2022 | Учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Државна матура – екстерен дел - ДИЦ | Оценување тестови од екстерниот дел од Државната матура по македонски јазик | од 12. до 21.05.2023 | Учесник |
| Милена Манчиќ Пауновска | Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | МОН БРО CES academy | Февруари 2023 | Учесник |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Вовед во формативно оценување | БРО | 10.05.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Вовед во наставни компентенции | БРО | 25.05.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети | БРО | 29.09.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни | БРО | 05.10.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Добри практики со користење на мобилните апликации | СТЕМ | 18.10.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Рана интервенција – Достапни опции и услуги | БРО | 08.11.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Стимулација на говор во рана воздраст | БРО | 24.11.2022Г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Инклузивни тимови во градина+ Водич за инклузивни практики | БРО | 29.11.2022Г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Предизвикувачко однесување-справување и добри практики | БРО | 01.12.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и барателиа на азил во воспитно-образовниот процес | БРО | 01.02.2023г | Слушател |
| Весна Аврамовска Елена Колева | Визуелни дезинформации и фотофорензика | БРО | 06.04.2023г | Слушател |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Весна Аврамовска<br>Елена Колева<br>Даниела Наковска | АДХД- интерна обука | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>м-р Елена Панова | 03.02.2023г | Слушател |
| Весна Аврамовска<br>Елена Колева<br>Даниела Наковска<br>Ивана Јовановска | Диференцијација и индивидуализација во наставата | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>м-р Елена Панова | 21.09.2022г | Слушател |
| Весна Аврамовска<br>Елена Колева<br>Ивана Јовановска | Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосвера во училница и онлајн-виртуелна училница | БРО | Фервуари 2023 | Слушател |
| Весна Аврамовска<br>Елена Колева<br>Даниела Наковска | Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедница за учење, менторство) | БРО | 21-22.06.2023г | Слушател |
| Никола Попадиновски | Граѓанско на дело | Мон<br>БРО | 23.08.2022 | Слушател |
| Ивана Јовановска | Цели за одржлив развој на ученици | Еко Логик | 28.04.2023 | Слушател |
| Јасмина Трајковиќ<br>Елеонора Павлова<br>Евдокија Димовска<br>Дафина Ангелевска<br>Даниела Ефтимова - Стојановска | Примена на иновативни интерактивни пристапи во настава | Академија Цес | 20.02.2023 | Слушател |
| Драган Димитриевски<br>Билјана Лазаревска | Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери за добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и он-лајн виртуелна училница | БРО<br>Академија Цес | 30.09.2023 | Слушател |
| Даниела Ефтимова Стојанова | Предизвикувачко однесување - справување и добри практики | Едуино вебинари | 01.12.2023 | Слушател |
| Даниела Ефтимова Стојанова | Развојни промени во адолесценција и предизвиците на родителите во справување со нив | Оли Центар | 21.01.2023 | Слушател |
| Даниела Ефтимова | Обука за наставна програма по германски | БРО | 26.06.2023 | Слушател |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стојанова | јазик за 6то одделение | | | |
| Даниела Ефтимова Стојанова | Eine Fremdsprache lernen ? Da braucht es Motivation | Hueber Webinar | 25.03.2023 | Слушател |
| Даниела Ефтимова Стојанова | Deutsch lehren und lernen in Afrika: Ziele, Ansatze und Synergien | IDV Vorstand Онлајн африканска конференција | 04.03.2023 | Слушател |
| Стручни соработници | Професионална ориентација и кариерно советување на учениците | БРО | 20.11.2023 | Слушател |
| | | | | |

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1 Вклученост на родителите /старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето се планира и се одвива на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку секојдневни средби, разговори и родителски средби. За таа цел, се изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваат во изведување разни активности, при што се земаат предвид нивните предлози и мислењата. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во Годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваат на огласна табла поставена во холот на училиштето и на влезната врата. Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите, тие се вклучуваа во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, проекти, спортски настани, прослави, приредби, нагледни активности и др.

**21,2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности**

Во текот на учебната 2022/2023 година, родителите електронски преку мејл адресите и вибер групите кои ги формираа заедно со одделенските и предметни наставници се известуваа за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците. На веб страната на училиштето беа истакнати и термините за консултации со наставниците,каде он-лајн се информираа за индивидуалните напредувања на учениците по одделни предмети. Во соработка со нив, се работеше на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Во соработка со одделенските и предметните наставници, родителите навремено се информираа за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализацијата, адаптацијата и детектираните проблеми на ученикот.

**21.3. Едукација на родителите/старателите**

Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури и флаер.

**Годишен извештај за соработка на основното училиште со родителите /старателите во учебната 2022/2023 година**

- **Цел:** Ваквиот начин на планирање на соработката со родителите има за цел одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. За таа цел осмислени се и планирани низа активности за соработка со родителите

- **Очекувани резултати**

Ваквиот начин на планирана соработка со родителите во целост ќе го следи и поттикнува развојот на ученикот и секој родител ќе даде свој придонес во подобрување на овој развој кај учениците. Со наша координација и комуникација со родителите, навремено и перманентно би се следел развојот на учениците и би се насочувал кон постојана позитивна амплитуда на развој.

Во текот на учебната 2022/2023 година планираните соработка со родителите се реализирани преку:

- ☏ **Родителски средби**
- ☏ **Индивидуални родителски средби со родителите**
- ☏ **Начин на известување на родителите за успехот на учениците**

**Во текот на учебната година беа планирани најмалку пет родителски средби а истите се реализирани според предвидените периоди од Годишната програма :**

☞ **На почетокот на учебната година одржана на 05.09.2022 со дневен ред:**

1. Запознавање со наставниот план и програма за учебна 2022-2023 год(број на часови, распоред...)
2. Избор на претставник за Совет на родители
3. Потсетување за кодекс на однесување на ученици и родители(приемен ден за наставници) и кодекс на облекување
4. Запознавање со насоките и препораките за штедење електрична енергија
5. Ужинка(дали има заинтересираност). осигурување(учениците се до 11 месец осигурани) и екскурзии (ќе се реализираат согласно Програмата за екскурзии, излети и вонучилишни активности)

☞ **На крајот на првото тромесечие одржана на 14.11.2022 со дневен ред:**

1. Реализација на наставниот материјал во прво тримесечје
2. Успех и поведение на учениците во првото тримесечие во учебната 2022/2023 год.,
3. Евидентни листови и најава на Е дневник

4. Почитување на правилникот за користење на мобилните телефони за време на настава.
5. Разно

☞ **На крајот на првото полугодие одржана на 23.01.2023 со дневен ред:**

1. Реализација на наставниот план и програм за прво полугодие за учебната 2022/2023г.
2. Известување за успехот,поведението и редовноста на учениците за првото полугодие од учебната 2022-2023г.
3. Евидентни листови за поединечниот успех на учениците и потсетување на родителите за начинот на увид во Евидентниот лист преку Е-дневник и негово потпишување
4. Тековни прашања

☞ **На крајот на третото тромесечие одржана на 10.04.2023 со дневен ред:**

1. Реализација на наставениот материјал предвиден за третото тримесечје од учебната 22/23г.
2. Разгледување на општиот успех, редовноста и поведението на одделението постигнат во текот на 3 тримесечје;
3. Евидентни листови запоединечниот успех на учениците и потсетување на родителите за начинот на увид во Евидентниот лист преку е- дневник и негово потпишување;
4. Протокол за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во ООУ,, Вера Јоциќ,,

☞ **На крајот на учебната година одржана на 20.06.2023 со дневен ред:**

1. Разгледување и информирање за постигнатиот успех на крајот на учебната година (поделба на свидетелства)
2. Информирање за реализацијата на наставниот план и програма
3. Насоки за рационално користење на летниот распуст
4. Тековни прашања

☞ **Заради поуспешна соработка со родителите, за надминување на проблемите и постигнување подобар успех во текот на годината се одржуваа и индивидуални средби за што секој наставник имаше одреден отворен ден за прием на родителите.**

☞ **Преку групните средби, родителите примаа информации за реалната слика на воспитно-образовниот процес во одделението**

1. Родителите се запознаваа со план-програмата која се реализира во текот на учебната година (кои учебници ќе се употребуваат, помошните помагала и др.)
2. Родителите се информираа за новините во текот на учебната година
3. Учество на родителите во реализација на различни активности во одделението и во поширокаата средина.
4. Земање на заеднички став и влијание во развојот на позитивните емоции на семејството како: љубовта, радоста, задоволството, сигурноста и др.

☎ **Вклучување на родителите во планираните активности во училиштето**

| **Реден број** | **Активност** | **Содржини** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| 1. | Месец на книгата | Хуманитарна акција за донација на книги во библиотекарскиот фонд | Ноември 2022 |
| 2. | Работилница со ученици и родители | Изработка и дизајнирање на куќи и хранилки за птици | Ноември 2022 |
| 3. | Новогодишен хепенинг | Изработки на новогодишни украси и честитки за училиштето | Декември 2022 |
| 4. | Хуманитарна акција со учениците и родителите | Хуманитарна акција за собирање на парични средства за помош на настраданите од земјотресот во Турција и Сирија | Февруари 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Едукативна работилница со учениците и родителите | Посета и изложба на изработки од страна на учениците во Природно научниот музеј | Март 2023 |
| 6. | Работилница со учениците и родителите | 21 март - Обележување на денот на пролетта, со цел подигнување на свеста за чиста и здрава околина, заедничка прошетка и дружба. | Март 2023 |
| 7. | Средба со учениците и родителите | 1 април – Обележување на денот на шегата преку заеднички активности. | Април 2023 |
| 8. | Хуманитарна акција со учениците и родителите | Беше организирано собирање на детска облека, играчки и книги кои потоа беа донирани во ЈУ ,,Детски дом 11 октомври'' – Скопје | Јуни 2023 |
| 9. | Работилници со учениците и родителите | Серија работилници на тема: унапредување на образованието за животна средина и климатски промени. | Во текот на целата година |
| 10. | Едукативни работилници со учениците и родителите | Обработка на различни тековни содржини | Во текот на второто полугодие |

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### 22.1.Локална заедница

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на учебната година се планираат состаноци, разни средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување. Училиштето соработува со Општината при реализација на разновидни активности: реализација на Еко-програмата, разни собири и здружувања за одредени случувања во училиштето, одбележување на патрониот празник на училиштето, приемот на првачиња во Детската организација,

отворени денови, промоција на активности од проектот МИО, соработка со бизнис заедницата, посети на градоначалник, едукативни центри и институции во Општината.

### 22.2. Институции од областа на културата

Учениците континуирано учествуваат на литературни и ликовни конкурси, посетуваат изложби, културно-историски споменици, а во планирањата на наставниците вклучени се и организирани посети на музеи, кинотеки, театри, детски фестивали, саем на книгата и др.

### 22.3. Институции од областа на образованието

Училиштето има соработка со: МОН, БРО, Општина Гази баба, невладини организации, СОС-Детско село - Скопје, Црвен Крст на град Скопје, спортски друштва, здравствени организации, здравствениот дом „Ченто“, здравствени установи во близината, Центарот за социјални грижи, осигурителни компании, медиуми и др. Исто така, јавноста континуирано ќе биде информирана за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето (https://www.facebook.com/OOUVeraJocik/), училишната веб-страница (https://www.oouverajocik.edu.mk), и веб-страна на општината.

| Содржини | Цели | Реализирани активности | Месец на реал изација |
|---|---|---|---|
| Програма по повод првиот училиште н ден (прием на првачињата) | Правилен однос кон училиштето и другарството | Програма по повод првиот училиштен ден (прием на п рвачињата) | IX (Септември) |
| Одбележување на 8-ми Септември -Ден на осамостојување на Р.Македо нија | Позитивен однос кон празникот и н егување на патриотски чувства | Одбележување на 8-ми Се птември Ден на осамостојување на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Р.Македонија | |
| 16 септември Меѓународен ден за з аштита на озонската обвивка | Свест за зачувување на планетата З емја | 16 септември Меѓународе н ден за заштита на озонск ата обвивка | |
| 22 септември Меѓународен ден без в озила | Стекнување на навики за користењ е на велосипеди.Информирање за штетноста од издувните гасови од в озилата за нашето здравје и загаду вање на околината | 22 септември Меѓународен ден без возила | |
| 26 септември Светски ден на чисти п ланини | Развивање на навики за зачувувањ е на нашата планета | 26 септември Светски ден на чисти планини | |
| 04 октомври Светски ден за заштита на животните | Свест за заштита на животните | 04 октомври Светски ден з а заштита на животните | X (Октомври) |
| 5 Октомври – Светски ден на учители те (Teachers' Day) | Развивање чувство на почит кон бл агородната работа, трудот и ангаж манот на учителите | 5 Октомври – Светски ден на учителите (Teachers' Day) | |
| Одбележување на Детска недела: Де тска организација –формирање, цел, задачи и активности | Запознавање на учениците со цели те и со активностите на Детската ор ганизација; Развивање чувство на с олидарност | Одбележување на Детска н едела: Детска организација –формирање, цел, задачи и активности | |
| Свечена приредба за прием на првач ињата во Детска организација | Зачленување во Детската организа ција; Запознавање на првачињата с о основните детски права и должно сти | Свечена приредба за прие м на првачињата во Детска организација | |
| 08 октомври Меѓународен ден за на малување на уништувањето на приро | Подигнување на еко свест Информирање за бенефитот од рец | 08 октомври Меѓународен ден за намалување на уни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дата | иклирање на отпадот | штувањето на природата | |
| Одбележување на 11-ти Октомври | Чувство за самопочит, љубов кон и сториското минато | Одбележување на 11-ти Ок томври | |
| 15 октомври Светски ден на пешаците | Да се подигне јавната свест за при добивките од пешачењето<br>Да се подигне свеста на пешаците к ако учесници во сообраќајот<br>Да се подигне свеста за безбедност а на пешакот во сообраќајот | 15 октомври Светски ден н а пешаците | |
| 16 октомври Светски ден на храната | Борба против гладот | 16 октомври Светски ден н а храната | |
| 17 октомври Меѓународен ден за об разование на сиромашните | Можност и пристап до квалитетно образование за сите деца во светот | 17 октомври Меѓународен ден за образование на сир омашните | |
| Одбележување на 23-ти Октомври<br>- Ден на македонската револуционер на борба | Чувство за самопочит, љубов кон и сториското минато | Одбележување на 23-ти Ок томври<br>- Ден на македонската рев олуционерна борба | |
| Одбележување на 3 Ноември<br>- Ден на општината | Соработка со локалната самоуправ а и почит кон истата | Одбележување на 3 Ноемв ри Ден на општината | XI (Ноември) |
| Активности по повод Месец на книгат а | Развивање љубов кон книгата, чита ње на книгите | Обележување на Месец на книгата | |
| 08 ноември Меѓународен ден на урбаните животни средини | Запознавање со придобивките и не достатоците на урбаното живеење | 08 ноември Меѓународен ден на урбаните животни с редини | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на 13-ти Ноември -Денот на ослободување на Скопје | Почит кон борците за слобода и значењето на празникот | Одбележување на 13-ти Ноември-Денот на ослободување на Скопје | |
| 20 Ноември - Одбележување на Светскиот ден на детето | Да се развиваат љубов и почит кон децата | 20 Ноември - Одбележување на Светскиот ден на детето | |
| 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со хендикеп | Поттикнување на чувство за давање помош и поддршка на лицата со хендикеп и нивно рамноправно вклучување во општествените сфери | 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со хендикеп | XII (Декември) |
| 8 Декември – Св. Климент Охридски | Вреднување на просветителската дејност и делата на Св.Климент Охридски; Љубов и почит кон ликот и делото на Св.Климент | 8 Декември – Св. Климент Охридски | |
| 29 декември Меѓународен ден на биодиверзитетот | Стекнување на знаења за животот, единственоста и разновидноста на живиот свет | -29 декември Меѓународен ден на биодиверзитетот | |
| Уредување и украсување на училишниот ентериер со уметнички изработки и со зимски и новогодишни мотиви од училишните секции | Развивање на креативноста и на уметничкиот порив кај учениците; Создавање потопол училишен ентериер | Уредување и украсување на училишниот ентериер со уметнички изработки со зимски и новогодишни мотиви од училишните секции | |
| 4 Февруари-Одбележување на Денот на раѓањето на Гоце Делчев | Љубов и почит кон ликот и делото на Гоце Делчев | 4 Февруари-Одбележување на Денот на раѓањето на Гоце Делчев | II (Февруари) |
| Одбележување на Први март - Денот на мартинките | Развивање креативност и творечка фантазија, соработка со локална самоуправа | Одбележување на Први март - Денот на мартинките | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 05 март -Светски ден за заштеда на е нергија | Разумно користење на електрична енергија и подигање на свеста за к ористење на обновливи извори на енергија (Сончева енергија, силата на ветерот). | 05 март -Светски ден за за штеда на енергија | III (Март) |
| Одбележување на 8-ми Март | Љубов и почит кон мајката | Одбележување на 8-ми Ма рт | |
| Одбележување на 17-ти Март - Ден на Црвен Крст | Развивање чувство за хуманост | Одбележување на 17-ти М арт -Ден на Црвен Крст | |
| 21 Март - Ден на Екологијата и Ден н а пролетта | Подигнување на еколошката свест кај учениците за заштита на природ ата и животната средина | 21 Март - Ден на Екологија та и Ден на пролетта | |
| 21-28 март- Денови на пролетта за за штита на околината | Подигнување на еколошката свест кај учениците за заштита на природ ата и животната средина | 21-28 март- Денови на про летта за заштита на околин ата | |
| 22 март -Светски ден за заштита на в одите | Подигањето на еколошката свест и важноста на водата | 22 март -Светски ден за за штита на водите | |
| 1 Април Априлијада – Ден на шегата, организирање маскембал | Развивање креативност, творечка ф анатазија, соработка со локалната с амоуправа | 1 Април Априлијада – Ден на шегата, организирање м аскембал | IV (Април) |
| 2 Април-Светски ден на сказните,Ден на раѓањето Х.К.Андерсен | Запознавање со животот и делото на Андерсен ,таткото на најубавите сказни<br>Развивање на љубов кон читањето на различен вид на литература | 2 Април-Светски ден на ска зните,Ден на раѓањето Х.К. Андерсен | |
| 2 Април-Меѓународен ден за подигну вање на свеста и борбата против аути змот | Подигнување на јавната свест за ов аа ранлива категорија деца | 2 Април-Меѓународен ден за подигнување на свеста и борбата против аутизмот | |
| 17 април | Чувство за правилен однос кон здр | 17 април | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Светски ден на здравјето | авјето | Светски ден на здравјето | |
| 22 април<br>Светски ден на планетата Земја | Да се подигне нивото на свесност кај нејзините жители за зачувување на животната средина, односно да укаже на загадувањето на воздухот и водата, радиоактивното зрачење, исцрпувањето на ненадоместливите енергенси и слично | 22 април Светски ден на планетата Земја | |
| 23 Април -Светски ден на книгата | Запознавање со значењето што го има читањето во развојот на една личност | 23 Април -Светски ден на книгата | |
| Одбележување на 1-ви Мај - Меѓународен ден на трудот | Почит кон правата и слободата на живеење и развивање позитивен однос кон трудот | Одбележување на 1-ви Мај -Меѓународен ден на трудот | V (Мај) |
| Одбележување на 4-ти Мај - Годишнина од смртта на Гоце Делчев | Љубов и почит кон ликот и делото на македонскиот револуционер Гоце Делчев | Одбележување на 4-ти Мај -Годишнина од смртта на Гоце Делчев | |
| Одбележување на 5-ти Мај- Денот на македонскиот јазик | Развивање чувство и градење почит кон мајчиниот јазик | Одбележување на 5-ти Мај- Денот на македонскиот јазик | |
| Одбележување на 9-ти Мај –„Ден на Европа“, како и „Ден на победата на дфашизмот“ | Градење на позитивен однос, бидејќи сме дел од Европа, и почит кон борците за слобода | Одбележување на 9-ти Мај –„Ден на Европа“, како и „ Ден на победата надфашизмот“ | |
| 15 мај Меѓународен ден за заштита на климата | Развивање на свест за киматските промени | 15 мај Меѓународен ден за заштита на климата | |
| 21 – 25 Мај<br>Активности за одбележување на патр | Развивање чувство на почит и благодарност кон нашиот патрон | 16 – 19 Мај<br>Активности за одбележува | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ониот празник | | ње на патрониот празник | |
| Одбележување на 24-ти Мај<br>- Денот на сесловенските просветители | Почит кон ликот и делото на браќата Кирил и Методиј | Одбележување на 24-ти Мај<br>- Денот на сесловенските просветители | |
| 31 мај- Светски ден против пушењето | Да се увидат ризиците и последиците по здравјето на човекот од овој порок | 31 мај- Светски ден против пушењето | |
| 05 јуни Светски ден за заштита на околината | Развивање свесност за зачувување на животната средина, | 05 јуни Светски ден за заштита на околината | VI<br>(Јуни) |
| Забава за одбележување на крајот на учебната година | Развој на другарството и социјализација на учениците | Забава за одбележување на крајот на учебната година | |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Активности | Цел | Реализатор | Време на реализација | Методи, постапки, ресурси | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| -Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа | -Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | Континуирано | -Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на | -Успешно и навремено планирање за успешно реализирање на воспитно- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | образовната работа | | | планирањата | образовниот процес |
| -Следење, проверување и оценување на успехот на учениците | -Подобрување на успехот на учениците | -Одделенски и предметни наставници | Континуирано | -Усно испитување, писмени работи, тестови, практична работа, тековсни следења | -Подобар успех кај учениците и постигнати повисоки резултати |
| -Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците | -Зголемено користење на современи методи и техники во наставата | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | Континуирано | -Посета на наставни часови и нагледни часови | -Успешно изведување на наставната дејност со примена на современи методи и техники |
| -Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар | -Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса | -Стручни активи<br>-Предавачи од акредитирани институции<br>-БРО | Континуирано | -Состаноци на стручни активи, отворени часови, посета на семинари, обуки, самообразование | -Развиени професионални компетенции на наставниот, стручниот и раководниот кадар во училиштето |
| -Водење на педагошка евиденција и документација | -Уредно водење на педагошката евиденција и документација | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници<br>-Одговорен советник од БРО<br>-ДПИ | Континуирано | -Увид во педагошката евиденција и документација | -Уредно, точно, навремено и прецизно водење на педагошката евиденција и документација |
| -Користење на информатичко комуникациска технологија во наставата | -Зголемување на искористеноста на ИКТ во наставата и воннаставните активности | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -<br>Континуирано | -Посета на наставни часови<br>-Посета на нагледни часови | -Континуирана употреба на ИКТ во голем број на наставните и воннаставните активности |
| -Реализација на годишната програма | -Подобрување на квалитетот во работата и | -Наставнички совет<br>-Совет на | -<br>Континуирано | -Состаноци<br>-Анализи на извештаи | -Успешно, невремено и прецизно реализирана годишна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето | родители<br>-Училишен одбор<br>-Локална самоуправа<br>-Одговорен советник од БРО<br>-ДПИ | | -Програма за следење | програма |
| -Изработка на извештаи, анализи и информации | -Подобрување на начинот на известување и обработка на постигнувањата на училиштето | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Одговорни наставници | -Секој квалификационен период | -Евидентни листови, неделни оперативни планирања, анкетни листови | -Квалитетна и унапредена воспитно-образовна работа |

## Извештај за работата на директорот во учебната 2022/2023 година

### Реализатор: Јане Тасев

Директорот е највисок раководен орган на училиштето кој е одговорен за целокупниот училишен живот.

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на директорот, од предвидените активности реализирани се следните :

**I подрачје: Водство**

- Изготвување на годишната програма за работа на училиштето.
- Распределба на наставни предмети, претседатели на стручни комисии, одговорни наставници на ученички организации и други стручни подрачја.
- Координирање при изготвување на распоред за часови, слободни ученички активности,додатна и дополнителна настава .
- Изготвување на сопствена програма за работа.
- Учество во самоевалуацијата на училиштето.
- Изработка на идејна скица на перспективна програма за развој на училиштето.
- Учество во изработка и водење контрола и анализа на педагошката документација.

**II подрачје: Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и друга стручно педагошка работа во училиштето**

- Увид во Годишните глобални планирања на наставниците
- Увид во тематските и дневните планирања
- Увид во одделенските дневници и матични книги
- Увид во електронскиот дневник
- Посета на наставни часови со однапред одредена цел
- Планирање и реализација на диференцирани активности на часот во рамките на ИОП

**IIIподрачје: Перманентно педагошко-психолошко усовршување на наставниот кадар, стручните соработници и директорот**

- Обезбедување на стручна литература
- Учество на семинари, советувања

- Учество и организирање на интерни обуки

**IV подрачје: Работа со стручни органи во училиштето**

- Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет
- Следење, насочување и учество во работата на стручните активи
- Учество во планирање и реализирање на задачите на одделенските совети
- Соработка и следење на реализација на задачите на одделенските раководители

**V подрачје :Аналитичко - студиска работа, изготвување информации, извештаи, осврти и анализи**

- Анализа на тематските подготовки за часови на наставниците со посебен осврт на дополнителна и додатна настава
- Опременост на кабинетите и условите за работа во училиштето
- Успех и поведение на учениците на крајот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година
- Следење на реализацијата на Развојниот план на училиштето и поставените приоритети во училиштето
- Учество и следење на реализација на проектите во училиштето
- Подобрување на квалитетот на додатната настава со цел поттикнување на учениците за учество во натпревари на знаења

**VIподрачје: Соработка со родители,ученици и локална средина**

- Планирање и реализирање на родителските средби
- Планирање и реализирање на форми на соработка со родителите, инивидуални средби и групни средби
- Соработка со ученици за одредени прашања на ниво на ученичка заедница паралелки, групи или индивидуално. Почитување на мислењата и предлозите од учениците при донесување одлуки на ниво на училиште.
- Соработка со БРО и одговорниот советник на училиштето
- Соработка со ДПИ и ДИЦ
- Соработка со локална заедница
- Соработка со претпријатија и фирми

- Соработка со други образовни институции

**VIIподрачје: Други  работи и работни задачи**

- Следење и увид во работата на административната служба на училиштето
- Следење и увид во финансиското работење на училиштето.
- Учество во работата на училишниот одбор.

Во текот на ова учебна година директорот активно соработуваше со МОН, БРО,општина Гази Баба, со училиштата на ниво на општината и пошироко, урбана заедница, актив на директори.

**Извештај за реализирани активности од програмата на педагогот**

**Реализатор: Катерина Б.Костадиноска**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности во оваа учебна година реализирани се следните:

**1. Работа со ученици**

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста;

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост;

-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности;

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим;

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања;

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница;

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;

-Соработка со специјалниот ромски едукатор со учениците –роми;

-Следење на протоколите за заштита од Корона –вирусот.

**2. Работа со наставници**

-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес;

-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците;

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик наставник- родител;

-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања;

-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење;

-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови;

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници;

-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација;

-Стручна помош при изготвување на програми за воннаставни активности и учество во организација и реализација на дел од воннаставните активности.

**3. Работа со родители**

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината;

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби;

-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми.

**4. Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно - образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа);

-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето.

**5. Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој;

-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје “Современ педагог” за изготвување на протокол за работа на педагозите за време на здравствената криза предизвикана од Корона вирусот;

-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература;

-Учество на онлај работилници;

-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;

-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците;

-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес.

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот во првото тромесечие и полугодие;

-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава;

- Изготвување на тромесечниот и полугодишен извештај за работата на училиштето.

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Следење на работата од проектите „Еко“ и „Меѓуетничка интеграција во образованието“;

-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар;

-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови);

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците;

-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава;

-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности;

-Следење на постапките на оценување на учениците;

-Следење на успехот и редовноста на учениците;

-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;

-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;

-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето.

**8.Педагошка  евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;

педагошки картон за работата на наставниците;

-Водење професионално досие на наставниците;

-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа.

-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини;

-Водење хронолошки дневник за работа;

-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница;

-Водење

**Извештај за реализирани активности од програмата на специјалниот едукатор и рехабилитатор**

**Реализатор: Елена Панова**

Согласно Годишната програма за работата на училиштето и програмата за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор,  од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните:

1. **Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа**

- Учество во изготвување на Годишната програма за работата на училиштето во учебната 2022-23 година.
- Изготвување на сопствена годишна програма.
- Изготвување на месечни оперативни програми за работа со конкретизирани активности.
- Учество во изработка на индивидуално образовен план за учениците со посебни образовни потреби.
- Консултации и поддршка на наставниците при планирањето на наставните содржини за учениците со посебни образовни потреби (ПОП).

здравје на деца и младинци „Младост“, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас; Основни и средни училишта: ООУ „Блаже Конески“, ПСУ „Алгоритам“- Центар, СУГС „Марија Кири Склодовска“, СГГУ„Здравко Цветковски“, СЕТУ„Михајло Пупин“, СУГС„Арсениј Јовков“, СУГС„Димитар Влахов“, СУГС„Панче Арсовски“, СУГС„ Лазар Танев“; Национална агенција за европски образовни програми; Здруженија: Сојуз на математичари на Македонија, Институт за математика при УКИМ, Македонско биолошко друштво, Друштво на биолози; Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори, здружение на училишни психолози- Психовизија; Образовни институции од странство:основно училиште„Алекса Шантиќ"од Белград; Невладини организации: Фондацијата „Чекор по чекор“,Фондација „Отворено општествоМакедонија“

## СЛЕДЕЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Училиштето во рамките на својата воспитно-образовна работа организираше систематско следење и унапредување на севкупната дејност и вреднување на постигнатите резултати. Одделенските и наставничките совети редовно се одржани. Редовно функционираа и стручните активи во училиштето кои придонесуваа за унапредување на наставата Стручен актив на одделенска настава, Стручен актив на природна математичка група на предмети и Стручен актив на општествено јазична група на предмети. Директорот вршеше увид на целокупната работа во училиштето. Остваруваше средби со ученици, родители, локална самоуправа, општина, министерство. Вршеше проверка на педагошка евиденција и педагошка документација, подобрување училишната клима и тимската работа. Цела година работеше на подобрување на воспитно-образовниот процес, но исто така и на подобрување на условите во кои што ќе се изведува истиот.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ДИРЕКТОР ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Во образовниот систем и институционализираното школство, се сретнуваат мноштво иновации кои се предизвикани од промените во окружувањето кои ја наметнуваат потребата за нова организациска поставеност на училиштето. Работата на образовните институции е од суштинско значење за обезбедување на квалитет во образованието. Сите системски решенија тука треба да се имплементираат ефикасно и ефективно. За таа цел потребна е силно изразена тенденција за унапредување на работата на училиштето. Со цел училиштето да напредува и да се развива во согласност со постојаните иновации, потребно е директорот да биде во вистинска смисла на зборот менаџер кој е вистински лидер, способен да ја реализираат мисијата на училиштето со јасна визија и организациски способности за развој на училиштето. Директорот е клучниот фактор за ефикасна работа во воспитно-образовната институција, од неговото успешно водење ќе зависи задоволството на сите учесници во воспитно-образовниот процес и рејтингот на воспитно-образовната институција на пазарот на образовната политика. Улогата на лидерите во образовниот систем е да создадат училишна клима во која принципите на демократското општество можат да бидат разбрани и почитувани. Бидејќи многубројните фактори кои директно влијаат врз воспитно-образовниот процес

не можат да бидат лесно контролирани, потребен е отворен и демократски пристап како начин за одржливо водство во модерните училишта.

Директорот како раководен орган на училиштето покрај неговата менаџерската улога, педагошко-инструктивна улога исто така треба да поседува и одредени професионални компетенции за директор на училиште кои опфаќаат знаења, вештини и професионални вредности во подрачја кои се однесуваат на водство, раководење на човечки ресурси, финанасиско работење како и законито и административно работење на училиштето. Се разбира сите негови работни задачи и поседувања на професионалните компетенции треба да се во согласност и со Законот за основно образование.

За да се постигне успех во целокупната понатамошна работа на директорот потребно е тој да биде и добар стратег, односно да се развие стратешки план во однос на неговата работа и менаџирање на училиштето. Истиот треба да биде насочен и акцентот да биде ставен на сите претходно утврдени недостатоци во работатат на училиштето но при тоа да се остави простор за континуирано унапредување и надоградување на сите подрачја на работа. Односно подрачјата за работа кои ги исполнуваат критериумите за квалитет на највисоко ниво. Според моменталната проценка на истите потребно е постојано тековно да се преиспитуваат и истите да се унапрадуваат во согласност со современиот технолошки развој како и постојаните иновоцаии и научни сознанија во областа на воспитно-образовната работа.

Работата на директорот е насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. Поставените цели и задачи ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година.

Во рамките на следењето, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа на училиштето од страна на директорот и училишниот педагог извршена е анализа на годишните планови и програми за работа на наставниците, се следи динамиката, квалитетот и квантитетот на нивна реализација, квалитетот на подготовките и плановите за работа и друго.

1. **<u>Административно-организаторска работа</u>**
   - ✓ Административна работа
   - ✓ Финансиска
   - ✓ Материјална
   - ✓ Нормативна работа (проучување закони и прописи)
   - ✓ Увид
   - ✓ Давање помош
   - ✓ Вреднување и корекција
2. **<u>Организационо-техничко средување на училиштето</u>**
   - ✓ Функционалност на училници, работилници, спорт. терени, библиотека и др.
   - ✓ Претплата и користење на стручна литература, педагошки списанија и весници, ученичка лектира, наставни средства и учебни помагала.
   - ✓ Планирање и организација на ученички екскурзии од научен и рекреативен карактер.
   - ✓ Планирање посети на музеи, театри, изложби и слично.

**<u>3.Административно-правна работа</u>**

- ✓ Работа со органот на управување
- ✓ Помош при изработка на нацрт-акти и слично

**4.Документација и евиденција**

- ✓ Водење педагошка документација
- ✓ Персонални досиеа за наставниците
- ✓ Документација за планирање на воспитно-образовната работа
- ✓ Документација за следење на воспитно-образовната работа
- ✓ Документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето
- ✓ Документација за извршени посети на часови

**5.Педагошко-инструктивна работа**

- ✓ Концепциско – програмско
- ✓ Изготвување на оперативна програма на активности за период јуни-август
- ✓ Утврдување на општите состојби во училиштето за остварување на дејноста
- ✓ Изготвување на предлог-распределба на одделенските раководства и распределба на часови
- ✓ Изготвување на програма за работа на Наставничкиот совет и стручно усовршување на наставниците
- ✓ Изготвување на Годишна програма за работа на Директорот
- ✓ Помош на наст. во изготвување на годишните Глобални и тематски планирања
- ✓ Изготвување на Годишна програма за работа на Училиштето
- ✓ Изготвување распоред на часови и слободни ученички активности
- ✓ Вложување во унапредување на климата за работа
- ✓ Соработка со стручни органи

**6.Следење на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето**

- ✓ Увид во годишните и тематските планирање и програмирања на наставата и воспитно образовната работа
- ✓ Преглед на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите
- ✓ Увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања
- ✓ Увид, контрола и следење на остварување на стручните оперативно-организациски, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната активност
- ✓ Посета на часови и посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата
- ✓ Посета на часови за додатна и дополнителна настава
- ✓ Остварување на задолжителни разговори, консултации
- ✓ Советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите
- ✓ Насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето

**7.Работа со наставници - педагошки увид во наставата**

- ✓ Запознавање со општо програмска структура посебно со измените и дополнувањата во настевните планови и програми
- ✓ Непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата
- ✓ Непосредна стручна помош на наставник почетник
- ✓ Следење и вреднување на работата
- ✓ Советодавна работа со наставници, ученици и родители
- ✓ Увид во дневните подготовки на наставниците за часови
- ✓ Посета на часови (редовни, дополнителни, додатни и др. активности)
- ✓ Анализа на часовите и консултации со наставниците
- ✓ Следање на реализацијата напланот за унапредување на училишното оценување.

**8.Работа со стручни органи во училиштето**

- ✓ Запознавање со соодветните законски акти за дејноста
- ✓ Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет и реализација на програмските задачи
- ✓ Помош во планирање и реализација на задачите на одделенските совети
- ✓ Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи
- ✓ Помош, следење на реализација на часот на одделенскиот раководител
- ✓ Запознавање со соодветните законски акти за дејноста
- ✓ Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето.
- ✓ Редовно присуство на сите седници на стручните активи во училиштето.
- ✓ Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците.
- ✓ Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци.
- ✓ Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.

**9.Работа со ученици и ученички организации**

- ✓ Индивидуален контакт
- ✓ Помош во конструирање и работа на ученичките организации
- ✓ Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици
- ✓ Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување
- ✓ Работа со ученици кои покажуваат слаби резултати
- ✓ Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците
- ✓ Давање иницијатива за реализацијата на зимски и летни одмори на учениците
- ✓ Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето
- ✓ Поттикнување на соработка со локалната средина
- ✓ Поттикнување на соработка со културни институции и организации од локалната средина (кино, театар, библиотека, музичко училиште, пионерски дом и сл.)

**10.Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето**

**11.Аналитичко-студиска работа и осовременување на воспитно-образовната работа**

- ✓ Анализа на годишните глобални и тематски планови на наставниците
- ✓ Увид во дневните подготовки на наставниците
- ✓ Изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на Училиштето
- ✓ Упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатите области
- ✓ Изготвување информации: за работа на ученичките организации, за одржување натпревари на учениците за соработка со др. воспитно-образовни институции

**12.Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од училиштето**

- ✓ Учество во работата на стручниот соработник во училиштето при програмирање, следење и контрола над работата
- ✓ Соработка со МОН, БРО и локалната заедница
- ✓ Соработка со стручни организации, друштва и институции
- ✓ Обезбедување на стручно усовршување на наставниот ка¬дар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатате
- ✓ Изготвување на Училишно планирање за унапредување за оценувањето за

учебната 2022/2023 година

**13.Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар**

- ✓ Грижа за обезбедување на Училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата
- ✓ Упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување надвор од Училиштето (повратно информирање за ефектите од советувањето)
- ✓ Непосредна стручна помош во реализацијата на наставните содржини
- ✓ Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување

**14.Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници**

- ✓ Запознавање со општата програмска структура, посебно со измените и дополнувањето на наставните планови и програми
- ✓ Непосредна стручна, методско-дидактичка помош во реализацијата
- ✓ Непосредна стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: наставник-почетник во училиштето
- ✓ Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување и послаби резултати во учењето
- ✓ Насочување и помош во организирањето на културно-забавниот живот научениците
- ✓ Помош во организирање на зимување и летување на учениците

**15.Соработка со родителите на учениците**

- ✓ Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето.
- ✓ Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа
- ✓ Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите
- ✓ Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите
- ✓ Организирање и координирање на активности за информирање на родителите
- ✓ Непосредно учество во педагошкото образование на родителите
- ✓ Индивидуални и групни средби и разговори со родителите
- ✓ Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности
- ✓ Редовно информирање на родителите од животот и работата на училиштето, непосредно и посредно преку одделенските раководители.
  Навремено запознавање на родителите со редот во училиштето

**16.Други работни задачи на директорот**

- ✓ Постојано обезбедување материјално-технички услови за работа
- ✓ Следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето
- ✓ Грижа за хигиената во училиштето
- ✓ Следење на законските прописи
- ✓ Работа со управните органи
- ✓ Подготовка и учество во седниците на УО и неговите комисии и тела.
- ✓ Подобрување на климата во училиштето
- ✓ Административно-организаторска работа;
- ✓ Организационо-техничко средување на училиштето;
- ✓ Административно-правна работа;
- ✓ Документација и евиденција;
- ✓ Педагошко-инструктивна работа;
- ✓ Концепциско – програмско работење;
- ✓ Следење на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето;

- ✓ Работа со ученици и ученички организации;
- ✓ Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето;
- ✓ Аналитичко-студиска работа и осовременување на воспитно-образовната работа;
- ✓ Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар;
- ✓ Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници;
- ✓ Соработка со родителите на учениците;
- ✓ Подготовка и одржување на седници на Наставничкиот и Одделенскиот совет;
- ✓ Учество во изготвувањето на распоредот на часовите;
- ✓ Истакнување и следење на спроведувањето на куќниот ред во училиштето;
- ✓ Распределба на задолженија за успешен почеток на учебната година;
- ✓ Организирање и учество во одбележувањето на значајни датуми и прослави во училиштето
- ✓ Договор и изготвување на распоред за работа на слободните ученички активности, одделенска заедница, ученицички парламент, ученички правобранител;
- ✓ Увид и давање упатство при водењето на педагошката евиденција и документација;
- ✓ Увид во организационата поставеност на ученичките организации во училиштето;
- ✓ Подготвување и реализација на тендерски набавки;
- ✓ Увид во планирањата и подготовките на наставниците за настава;
- ✓ Увид во часовите по дополнителната настава и слободните ученички активности;
- ✓ Учество на родителски средби во паралелките со послаб успех и поведение;
- ✓ Увид во начинот на оценување на учениците и упатување на наставниците за правилно оценување;
- ✓ Анализа на постигнатите резултати (успех на учениците) по секој класификационен период;
- ✓ Индивидуално стручно усовршување и учество на семинари, советувања и други форми организирани од надворешни субјекти;
- ✓ Прифаќање на нови наставници и нивно воведување и запознавање со работата на училиштето на сите нивоа;
- ✓ Проучување и анализирање на покарактеристични проблеми на наставно - образовниот процес;
- ✓ Организација и спроведување на оценување на објективноста на оценувањето на учениците од страна на наставниците;

Во рамките на следењето, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа на училиштето од страна на директорот и училишниот педагог извршена е анализа на годишните планови и програми за работа на наставниците - се следи динамиката, квалитетот и квантитетот на нивна реализација, квалитетот на подготовките и плановите за работа и друго.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и сопствената програма за работа, во текот на учебната **2022/23** година педагогот ги реализираше следните содржини и активности :

**1.Планирање и подготовка на работата на педагогот:**

- Изготвување на сопствена годишна програма, месечни (оперативни) програми, полугодишен и годишен извештај

-хронолошки дневник за работа и евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница

**2.Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште:**

- Учество во изготвување на програми за: програма за работа со деца со посебни образовни потреби, и ученици со емоционални потешкотии, програма за работа со надарени/талентирани ученици, програма за следење, анализа и подршка на оценувањето, програма за подобрување и продлабочување на соработка со родители, учество во изготвување на самоевалуација и развојниот план за работата на училиштето

-учество во изготвување на годишниот извештај за работата на училиштето

-изготвување на годишната програма за работа на училиштето

-изготвување на програма и акционен план професионален развој на наставниците,

-изготвување на програма и акционен план за превенција од насилно однесување во училиштето

**3.Соработка со ученици:**

- член во комисијата за упис на ученици во прво одделение;
- изготвување на евиденција и потребна документација за упис на ученици во прво одд.;
- индивидуална опсервација на секој ученик;
- формирање на паралелки во прво одделение според дадените критериуми;

-запознавање на одделенските наставници од прво одделение со карактеристиките-сознанијата добиени од опсервацијата при упис на учениците во прво одделение;

- запишување на нови ученици и нивно распределување во паралелки;
- давање мислење за ученици родени до 31 јануари 2018 година;
- изготвување на записник по завршениот предвиден рок за упис;
- доставување на потребни информации до соодветни институции МОН, општина Гази Баба-просветен инспектор во врска со уписот на ученици во прво одделение;

-следење на прилагодеността на учениците од прво и шесто одд. како и на новозапишаните ученици во училиштето;

- следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;
- советодавно-консултативна работа со ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат слаб успех, емоционални потешкотии, манифестираат несоодветно однесување, како и со ученици од семејства со социјален ризик;
- помош и поддршка на наставници кои работат со деца со посебни образовни потреби, деца со надминатата возраст и нивно вклучување во соодветно одделение;

**4.Соработка со наставници:**

- помош и поддршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските и дневни подготовки, особено при дефинирање на целите и исходите, примена на соодветни наставни форми и методи на часот, како и воочување на недостатоците и давање на насоки за подобрување;

- посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки, советодавниконсултативни средби со наставниците по одржување на наставните часови;
- советодавна-консултативна работа со наставници за ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат слаб успех, емоционални потешкотии, манифестираат несоодветно однесување, како и оние семејства со социјален ризик;
- запознавање на наставниците со децата со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост, посебно наставниците од прво и шесто одд.(заедно со специјален едукатор и рехабилитатор и психологот во училиштето);
- поддршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето;
- советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација, водење и евидентирање на изрекувањето педагошки мерки за учениците, професионално досие и педагошки картон на наставникот

**5.Соработка со родители:**

- советодавна-консултативна работа со родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат слаб успех, емоционални потешкотии, манифестираат несоодветно однесување, како и оние семејства со социјален ризик;
- упатување на родителите до соодветни институции како што се: ,,Завод за деца и младинци,, Центар за слух, говор и глас,, и Регионално стручно тело за проценка на функционирање попреченост и здравје (според МКФ) за надминување на потешкотиите во учењето кај нивните деца;
- советодавно-консултативна работа со родители чии што деца се со посебни образовни потреби (заедно со специјален едукатор и рехабилитатор и психологот во училиштето);
- помош и поддршка на тимот за унапредување на соработката со родители-информирање на Совет на родители за работата на училиштето;
- изготвување на извештај од предлози и забелешки од одржани родителски средби;

**6.Соработка со стручни органи:**

- учество при планирањето, и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет и совет на родители;
- презентирање на извештаи за успех, поведение и редовност на учениците, на наставнички совет и совет на родители на секој квартал; полугодие и крај година

**7.Аналитичко истражувачка работа:**

- изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по предмети, пол и етничка припадност по одржаните одделенски совети на крајот на секој квартал, прво полугодие и крај на учебна година,
-споредбена анализа за успехот на учениците на секој квартал (во последните три учебни години);
- изготвување на извештаи за квалитетот на годишното и тематското- процесно планирање на наставниците, за реализација на наставата (од посетените часови), за дневната подготовка за час на наставниците

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГ ВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот од предвидените содржини и активности за оваа учебна година реализирани се следните:

### 1.Планирање и подготовка на работата на психологот и училиштето

- изготвување годишна програма за сопствената работа
- изготвување месечни (оперативни) програми за сопствената работа со конкретизирани активности и содржини
- учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето
- изготвување програма за професионална информација и ориентација на учениците
- учество во изготвување на програма за превенција од насилно однесување
- изготвување програма за работа со надарени/талентирани учници –
- учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет и совет на родители

**2. Работа со учениците**

- следење на прилагодеността на учениците од прво и шесто одд. деветгодишно образование, како и на новодојдените ученици
- советодавно-инструктивна работа со учениците со три и повеќе слаби оценки, емоционални потешкотии и несоодветно однесување, како и со учениците од семејства со социјален ризик
- следење на успехот и редовноста на учениците
- советодавно педагошко- инструктивна работа и поддршка со ранливите групи ученици (ученици со ниска самодоверба, со емоционални поштешкотии и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство)
- поддршка на ученици со надминатa возраст
- помош и поддршка на наставниците при откривање надарени ученици и ученици со потешкотии
- групно советување на учениците со намален успех во учењето, нередовност во наставата и несоодветно однесување
- работа и организација со учениците од деветто одделение на нивна професионална информираност и ориентација
- спроведување работилници за личен развој, интерперсонални односи, насилно однесување, развивање свест за сексуалното здравје, техники за учење

**3.Соработка со наставници**

- помош и поддршка при изготвување на годишните и тематски планирања на наставниците
- консултации со наставниците
- педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците
- помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран пристап во работата со надарените ученици
- советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација

**4. Соработка со родителите**

- индивидуална советодавна работа и групно советување на родителите на учениците со намален успех во учењето, нередовност во наставата и несоодветно однесување
- консултативно-советодавна работа со родители на ученици со емоционални потешкотии, промени во однесувањето
- запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за надминување на потешкотиите кај нивните деца

**5. Аналитичко истражувачка работа**

- изготвување анализа и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди

- изготвување анализи за успехот на учениците по паралелки, предмети, по пол и етничка припадност на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година
- изготвување анализа и извештаи за квалитетот на реализација на наставата
- изготвување месечни и полугодишен извештај за работата на Тимот за професионална ориентација на учениците и Тимот за работа со талентирани/надарени ученици
- учество во изготвување на годишниот извештај за работата на училиштето
- изготвување на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа
- изготвување извештај од советувањето родители
- анализа по спроведена анкета и тест за професионална информираност и ориентација на учениците од деветто одделение

**6. Педагошка евиденција и документација**

- сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа, изготвување оперативни програми за работа, евиденција од педагошко инструкривна и советодавна работата со наставници,родители и ученици, ,документација од анлитичко истражувачка работа...)
- водење на педагошки картон за работата на наставниците
- евиденција,обрасци,записници, месечен и неделен план за советување родители и ученици
- следење и евидентирање на изрекувањето педагошки мерки за учениците

**7. Соработка со локална заедница и други институции**

- МОН, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија,советодавен центар за родители и деца Гази Баба, поликлиника Ченто, Општина Гази Баба, со средни училишта во Скопје, здружение Психовизија,

**8. Лично стручно усовршување**

- редовно присуство и активно учество во работата на секцијата на психолозите од основните училишта од град Скопје
- перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература и организирани обуки,семинари

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР ЗА УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА**

Согласно сопствената годишна програма за работа и годишната програма за работа на училиштето, беа реализирани следните активности:

**1.Работа со ученици**

- Учество во Комисија за упис на ученици во прво одделение; опсервации и проценки при упис со цел идентификација на ученици со ПОП.
- Процена на подготвеност на учениците со посебни потреби за вклучување во образовниот систем и нивно распределување по паралелки.
- Водење на досие за учениците со ПОП.
- Процена на потребите на учениците, обезбедување соодветна поддршка, утврдување на потребата од дополнителни сервиси и вклучување на надворешни професионалци.
- Следење на прилагодеността на учениците со ПОП во I и VI одд..
- Индивидуална работа со ученици и непосредна помош во учењето. Користење различни стратегии и приоди со цел подобрување на емоционалната состојба и унапредување на социјалните вештини. Вклучување сензорна интеграција и користење на асистивна технологија согласно потребите.
- Следење на постигањата согласно поставените цели во ИОП.
- Поддршка при избор на понатамошно образование/професија.
- Реализација на инклузивни работилници и работилници за сајбер насилство.

**2.Работа со наставници**

- Поддршка во идентификација на ученици со ПОП.
- Запознавање на наставниците со карактеристиките, можностите, способностите и стилот на учење на ученикот со ПОП.
- Координирање, следење и поддршка при изработката на ИОП/ модифицирана програма; евалуација на ИОП; ревизија по потреба.
- Поддршка во конкретизирање на целите, прилагодување на содржините и користење на принципите на индивидуализација и диференцијација.
- Поддршка при избор на методи, техники и стратегии при работа со ученици со ПОП.
- Поддршка при оценување на учениците кои работат според ИОП.

**3.Работа со родители**

- Поддршка на родителите на деца со ПОП, инструкции за работа, мотивирање за учење и начин на комуницирање со нивните деца.
- Упатување на родителите кон релевантни институции.
- Рамноправно учество на родителите при изготвување на ИОП.
- Информирање на родителите за напредокот и однесувањето на нивните деца како и за вклучување во активности во и вон училиштето.
- Информирање на родителите за нивните права, обврски и бенефиции.

**4. Соработка со заедница и институции**

- Соработка со институции: МОН, БРО, ОПИ, ДПИ, општина Гази Баба, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС Детско село.

- Соработка со стручни установи: МКФ, Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас, Детска клиника, ОУРЦ „Иднина“.
- Соработка со училиштата и градинките од општина Гази Баба.

**5.Професионален развој и професионална соработка**

- Изготвување на годишна програма за работа и извештај од реализација на програмата; водење на сопствена документација и евиденција.
- Перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература и организирани обуки како и користење на стекнатите знаења во унапредување на практичната работа.
- Изготвена Модифицирана наставна програма и објавена на страната на БРО.
- Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој.
- Соработка со Институт за специјална едукација и рехабилитација (Филозофски факултет) и Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори.

**6.Аналитичко-истражувачка работа**

- Евалуација на ИОП/модифицирана програма; увид во квалитет на планирање и реализација на ИОП/модифицирана програма.
- Преглед на постигнатиот успех и поведение на учениците со ПОП.
- Изготвени стручни мислења до релевантни институции: ЦСР, ЗМЗ, МКФ, врз основа на спроведени проценки.
- Изготвена студија на случај за потребите од обуката за Сензорна интеграција и спроведено истражување за дискалкулија.

**7. Училишна структура, организација и клима**

- Учество во работата на Училишниот инклузивен тим, Тимот за превенција на насилно однесување и Тимот за професионална ориентација.
- Следење на инклузивната клима во училиштето.
- Следење на начинот на водење на педагошката документација и евиденција за учениците со ПОП.
- Учество во работата на наставнички и одделенски совети; соработка со органи и стручни тела во училиштето.
- Учество во социјални активности и хуманитарни акции во училиштето.
- Поддршка на образовните асистенти и студентите кои обавуваа инклузивна пракса во училиштето при работата со ученици со ПОП.

## ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Педагошката евиденција и документација во училиштето е редовно водена од сите одделенски и предметни наставници, од педагогот и директорот во училиштето. Прегледани се главните книги, дневниците и сведителствата во периодот на месец јуни 2023 година. Поделбата на сведителствата се изврши на 19. 06. 2023 година за деветто одделение а сведителствата за останатите одделенија на 30.06.2023 година.

## КОНСТАТАЦИЈА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ

**Констатации и заклучоци:**

Констатираме дека предвидените активности за учебната 2022/2023г. во целост се реализираа според Годишната програма. Наставата се одвива на Македонски јазик, а ја следат ученици од различни етнички групи вклучувајќи и ученици со посебни образовни потреби на кои престојот во нашето училиште им е пријатен и безбедно се чувствуваат.

Се води евиденција за постојните и потребните наставни средства и помагала и се одредуваат приоритетните потреби. Вработениот наставен кадар е соодветен на нормативите, а ефикасноста и успешноста во спроведување на активностите предвидени во годишната програма на нашето училиште е во директна врска со квалитетот и стручноста на кадарот како и нивниот професионализам.

Во нашето училиште посебен акцент се става кон учество во проектни и воннаставни активности кои се во насока на унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и почитување на различностите.

**Предлог мерки за подобрување на успехот:**

Иако според горенаведеното треба да бидеме задоволни од постигнатите резултати сепак извлекуваме посебни мерки и заклучоци за подобрување на успехот и севкупната работа во училиштето за наредната учебна година :

- Интензивна индивидуална работа со оние ученици и родители кои имаат повеќе неоправдани изостаноци
- Интензивирање на дополнителната настава по сите наставни предмети по кои учениците покажале недоволен успех
- Примена на стекнатите знаења од семинарите со примена на современи методи на работа и оценување
- Зголемена соработка со родителите
- Поголема искористеност на нагледните средства и нивно збогатување
- Перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература, активно учество во работата на стручните активи и учество на семинари.

Јуни, 2023 година

Директор
м-р Адријана Младеновска

02-406/4
10. 08. 23

ООУ„ Дане Крапчев "
ул Мацари бр.9 Скопје
Тел:+3892 2525-292
Факс: +3892 2525-292
E-mail:oudanekrapcev@yahoo.com

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование ( Службен весник бр.161 од 05.08.2019 год.) Училишниот одбор при Општинското основно училиште „ Дане Крапчев " Скопје на состанокот одржан на ден 10 - 08 - 2023 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А

За усвојување на Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2022/2023 година

Член 1

Училишниот одбор го разгледа и усвои Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2022/2023 година.

Член 2

Училишниот одбор извештајот за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година, го предлага до Советот на Општина Гази Баба за негово усвојување.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Заменик претседател на Училишниот одбор,

/Вања Јовановски/

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, в.д Елена Антонова

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-22/14 од 29.06.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- Стајковци
Општина Гази Баба - Скопје
Телефон /факс бр.02 2553 546,
e-mail: coukirilimetodij@yahoo.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, Стајковци

**за учебна 2022/2023 година**

**Јуни, 2023 година**

# Содржина

**Вовед** ..... 3
**1. Општи податоци за основното училиште** ..... 4
1.1 Табела со општи податоци ..... 4
1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште ..... 5
**2. Податоци за условите за работа на основното училиште** ..... 6
2.1 Мапа на основното училиште ..... 6
2.2 Податоци за училишниот простор ..... 6
2.3 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ ..... 7
2.4 Податоци за училишната библиотека ..... 9
2.5 Извештај за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година.. 10
**3. Податоци за вработените и учениците во основното училиште** ..... 10
3.1 Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа ..... 10
3.2 Податоци за раководните лица ..... 13
3.3 Податоци за вработените административни службеници ..... 14
3.4 Податоци за вработените помошно-технички лица ..... 14
3.5 Податоци за ангажирани образовни медијатори/асистенти ..... 15
3.6 Вкупно податоци за наставен и ненаставен кадар ..... 15
3.7 Вкупно податоци за степенот на образование на вработените ..... 16
3.8 Вкупно податоци за старосната структура на вработените ..... 16
3.9 Податоци за учениците во основното училиште ..... 16
**4. Материјално-финансиско работење на основното училиште** ..... 16
**5. Мисија и визија** ..... 17
**6. Веќе научено/стекнати искуства** ..... 18
**7. Подрачја на промени, приоритети и цели** ..... 18
**8. Програми и организација на работата на училиштето** ..... 19
8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште ..... 19
8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите ..... 20
8.3 Работа во смени ..... 22
8.4 Јазик (јазици) на кој/кои се изведува наставата ..... 22
8.5 Проширена програма ..... 23
8.6 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште ..... 23
8.7 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до трето одделение ..... 23
8.8 Изборна настава ..... 23
8.9 Дополнителна настава ..... 24
8.10 Додатна настава ..... 24
8.11 Работа со надарени и талентирани ученици ..... 25
8.12 Работа со ученици со посебни образовни потреби ..... 26
8.13 План за образовен медијатор ..... 30
**9. Воннаставни активности** ..... 30
9.1 Училишни спортски клубови ..... 31
9.2 Секции/клубови ..... 33
9.3 Акции ..... 45
**10. Ученичко организирање и учество** ..... 47
10.1 Организирање во одделенската заедница на паралелката ..... 48
10.2 Ученички парламент ..... 48
10.3 Ученик правобранител ..... 50
**11. Вонучилишни активности** ..... 53
11.1 Екскурзии, излети и настава во природа ..... 53
**12. Натпревари** ..... 55
**13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција** ..... 67

13.1 Стратегија за МИО во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба.....67
**14. Проекти што се реализираат во училиштето.....68**
14.1 Поврзување на еколошка програма со редовна настава.....68
14.2 МИО .....70
14.3 Заедничка грижа за правилно насочување на учениците.....73
14.4 Еразмус и е-твининг .....74
**15. Поддршка на учениците..... 77**
15.1 Професионална орентација на учениците .....78
15.2 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација..... 80
15.3 Антикорупциска едукација на учениците во училиштата.....82
15.4 Детска организација.....92
**16. Оценување.....92**
16.1 Видови оценување и календар на оценување.....92
16.2 Тим за следење, анализа и поддршка.....93
16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар..... 94
16.4 Самоевалуација на училиштето.....94
**17. Безбедност во училиштето.....95**
**18. Грижа за здравјето на учениците.....95**
18.1 Хигиена во училиштето.....98
18.2 Систематски прегледи.....98
18.3 Вакцинирање .....98
18.4 Едукација за здрава исхрана.....98
**19. Училишна клима .....101**
19.1 Дисциплина .....101
19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето.....102
19.3 Етички кодекси.….....103
19.4 Односи меѓу сите структури.....103
**20. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар.....104**
20.1 Детектирање на потребите и приоритетите.....104
20.2 Активности за професионален развој.....104
20.3 Личен професионален развој.....105
20.4 Хоризонатално учење.....105
20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар.....105
**21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите.....108**
21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето.....108
21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности.....108
21.3 Едукација на родителите/старателите.....108
**22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето.....109**
**23. Годишни извештаи за работата на:**
директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар, Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Стручни активи, Одделенски совет .....118
**24. Заклучоци и согледување на состојбите за унапредување на дејноста .....162**
**25. Статистички извештај за постигнатите резултати.....163**
**26. Извештај за реализација на наставните планови и програми .....174**
**27. Извештај за постигнувања на учениците-описно оценување .....178**
**28. Извештај за постигнувањата на учениците-бројчано оценување .....179**
**29. Комисија за изработка на Годишниот извештај за работа на училиштето .....180**

## Вовед

# Појдовни основи за изработување на годишниот извештај:

Годишниот извештај за работата на основното училиште е изработен врз основа на реализираните активности планирани согласно со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23 година, врз законска основа за донесување на Годишната програма на јавно училиште која е регулирана со:

- Законот за основно образование („Сл. весник на Р.С.М." бр.161 од 05.08.2019г.);
- Наставните планови и програми и измените во наставните планови;
- Концепцијата за деветгодишно образование;
- Статутот на училиштето;
- Развојната програма на училиштето;
- Самоевалуација на работата на училиштето;
- Финасиското работење на училиштето;
- Кадровските и материјалните услови на училиштето;
- Закон за заштита на лични податоци;
- Закон за јавни набавки;
- Закон за работни односи;
- Правилници за работа на разни комисии и тимови во рамки на училиштето;
- Најновите стекнати сознанија од посетени семинари, работилници, конференции;
- Соработка со други училишта и релевантни институции;

Покрај законската основа, за изработка на годишниот извештај, училиштето ги почитува и клучните насоки од:

- Министерство за образование и наука (МОН)
- Биро за развој на образованието (БРО)
- Државен просветен инспекторат (ДПИ)
- Директор на училиште
- Наставнички совет
- Совет на родители
- Училишен одбор
- Стручни соработници

## 1. Општи податоци за основното училиште

### 1.1.Табела со општи податоци

| | | |
|---|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Кирил и Методиј“ | ПОУ „Кирил и Методиј“ |
| **Адреса, општина, место** | ул. „6“ бр. 1 – Стајковци, Гази Баба, Скопје | с.Страчинци, Гази Баба, Скопје |
| **Телефон** | 02 2 553 546 | 02 2 557 575 |
| **Фах** | 02 2 553 546 | / |
| **Веб страница** | https://www.ooukirilimetodij.edu.mk/ | |
| **E-mail** | coukirilimetodij@yahoo.com | |
| **Основано од** | Одлука бр.09-5261 од 29.10.1985 год., од Собрание на Општина Гази Баба | |
| **Верификација-број на актот** | Решение бр.14-4411/1 | |
| **Година на верификација** | 1985 година | |
| **Година на изградба** | 1984 година | 1975 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба | |
| **Внатрешна површина на училиштето** | 1 492 $m^2$ | 440 $m^2$ |
| **Површина на училишен двор** | 809 $m^2$ | 1 802 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / | 404 $m^2$ |
| **Површина на фискултурна сала** | 480 $m^2$ | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно на течни горива | Парно на пелети |
| **Училиштето работи во смени** | Прва и втора смена | |
| **Број на паралелки** | 18 | 9 |
| **Јазик на кој се реализира наставата во училиштето** | македонски | албански |
| **Во основното училиште има дневен престој** | не | не |
| **Статус на еко-училиште** | Зелено знаме (16.11. 2018 година) | |
| **Статус на е-Твининг училиште** | 2018-2019 и 2020-2021 година | |
| **Статус на модел училиште за Граѓанско образование** | Учебна 2019-2020 и 2020-2021 година | |
| **Сертификат за квалитет на училиштето** | Ноември 2019 | |

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| **Директор** | м-р Анита Ангеловска |
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Евгенија Илиевска - претседател, Јасмина Јездиќ, Ваљбон Беџети, Елена Антонова, Фарук Ајрулаху, Киро Манчевски, Зоран Митевски |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Советот на родители го сочинуваат 27 члена кои се избираат во месец септември на правата седница по одржување на родителските средби, од редот на родителите. |
| **Стручни активи (видови)** | Стручен актив на одделенска настава, природно-математичка група и општествено-хуманистичка група предмети |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделенски наставници (16) и стручни соработници (4),<br>Совет на предметни наставници (24) и стручни соработници (4) |
| **Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)** | Анита Ангеловска - директор, Елена Темелкоска - психолог, Ана Тасевска- специјален едукатор и рехабилитатор, одделенски наставници Весна Величковска, Северџан Касами, предметен наставник Ели Чочова и 2 родители |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | По тројца ученици од секоја паралелка |
| **Членови на ученички парламент (број на ученици, име презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | 27 ученици од I-IX одд.<br>Мелани Козарова -претседател на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на работата на ученичкиот Парламент и ученик правобранител: директор, стручна служба, Благица Србиновска-наставник по историја и граѓанско образование, Маја Цекова - наставник по биологија и хемија, Елмерина Фазлиу-наставник по географија, Сание Гани-наставник по албански јазик |
| **Ученик правобранител** | Стефани Павловска |

# 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

## 2.1. Мапа на основното училиште

ООУ „Кирил и Методиј“-Стајковци, Скопје е лоцирано во централниот дел на населено место Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје. Од центарот на градот Скопје е оддалечено околу 8 км. Во рамките на училиштето припаѓа и подрачното училиште во с.Страчинци.

## 2.2. Податоци за училишниот простор

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 2 |
| Број на подрачни училишта | 1 |
| Бруто површина | 4 696 $m^2$ |
| Нето површина | 1 932 $m^2$ |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | Приземје и кат |
| Број на училници | 17 |
| Број на помошни простории | 19 |
| Училишна библиотека, медијатека | 2 |
| Начин на загревање на училиштето | Парно на течни горива и парно на пелети |

## 2.3. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Училишниот објект, училниците и другите простории во училиштето се пристапни и пријатни за престој на учениците и за одвивање на наставата. Училиштето инвестира во подобрување на условите за престој во училиштето, како и во осовременување и унапредување на образовниот процес преку континуирано обновување на опремата и наставните средства. Сите училници се опремени со смарт табла, компјутер, проектор и потребните нагледни средства за секој наставен предмет, за редовната настава како и за воннаставните активности.

### Постоечка опрема и нови наставни средства

| Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со попреченост | Следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>Увид во инструменти за следење, вреднување на учениците;<br>СКР со<br>со попреченост;<br>СКР со<br>родителите и одделенските раководители на учениците со попреченост;<br>Увид во ИОП за секој ученик. | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници<br><br>Родители | Индивидуа<br>лизирани инстументи и техники за<br>работа со<br>ученици со потешкотии и попреченост | Реална проценка на постигнувањата;<br>Измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Определување соодветни форми/методи за работа со ученикот<br>Подобрена социјализација<br>Подобрување на постигањата на учениците |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со попреченост | Утврдување на критерими за вреднување на учениците со попреченост во согласност со наставни планови, програми | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | ИОП<br>Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Развој на критерими, индивидуални инструм. за вреднување на учениците со посебни потреби |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со попреченост | Утврдување на критерими за вреднување на учениците со попреченост во согласност со наставни планови, програми | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | ИОП<br><br>Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Развој на критерими, индивидуални инструм. за вреднување на учениците со<br>посебни потреби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на социо-емоционалниот статус<br>Развој на учениците со посебни потреби; | Разговори со ученичка заедница;<br><br>Присуство на родителски средби | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници<br><br>Родители | ИОП<br><br>Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни потреби |

## Годишен извештај за инклузивен тим за образование во учебната 2022/2023 година

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со ученици со посебни образовни потреби | -Формирање на тим за инклузија на учениците со попреченост<br>-Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија<br>-Избор на стратегии за успешна едукација и социјализација на учениците со попреченост | Август | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Психолог<br><br>Наставници<br><br>Родители | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Успешна реализација на планираните активности |
| Евиденција на учениците со попреченост | Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка<br>Разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје и од МКФ | Октомври | Училишен инклузивен тим | Прибирање на релевантни податоци потребни за работа на училишниот инклузивен тим | Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченоста<br>Изготвена база на податоци за ученици со попреченост |
| Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците | Примена на инструменти за опсервација и дијагностика | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | Чек листи<br>Листа за опсервација<br>Прашалници<br>Тестови за проценка | Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците<br>Надминување на пречките кај учениците со попреченост и нивна успешна инклузија во образовниот систем |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини согласно способностите на учениците<br>Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | Изработка на ИОП (долгорочен, среднорочен, краткорочен) за работа со учениците со попреченост<br>Примена на диференциран пристап во работата | Октомври | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Психолог<br><br>Наставници | Модели на ИОП аналитички листови стручна литература | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици<br><br>Повисоки постигања на учениците |
| Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со попреченост | Вежби за поттикнување на психомоторниот развој<br>Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференцирен пристап | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор | ИОП обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план<br>Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот |
| Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со попреченост, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок. | Разговори со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на индивидуални средби | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници<br><br>Родители | Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес<br>Успешна инклузија на учениците со попреченост во редовниот воспитно-образовниот процес | Стабилни социјални компетенции и развиени социјални вештини<br>Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со попреченост<br>Развивени позитивни ставови кај учениците кон учениците со попреченост |
| Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со попречности | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со попреченост согласно прилагодените индивидуални планови | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим | Индивидуални инструменти алатки тестови | Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Јакнење на капацитетит на наставниците за препознавање на | Спроведување на интерни обуки за наставниците за работа со ученици со | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим | Материјали, планирања на наставниците | Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| интересите и способностите на учениците со пречки во развојот.<br>Помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа | попреченост | | | Консултации<br>размена на искуства | попреченост |
| Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето | Следење на степенот на инклузираноста на учениците со попреченост во наставно-образовниот процес<br>Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со попреченост<br>Опсервација и разговор со наставници, родители и ученици | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим<br><br>Наставници<br><br>Родители | Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура<br>и пракса<br>Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со попреченост | Развиена свест за потребите на учениците со попреченост, позитивна атмосфера и толеранција<br>Подобрување на социјализацијата на учениците со попреченост<br>Врсничка поддршка за учениците со попреченост |

### 8.13. Извештај за работата на образовен медијатор

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, во текот на учебната 2022/2023 година нашето училиште немаше ангажирано образовни медијатори.

## 9. Воннаставни активности

Воннаставните активности играат клучна улога во развој на различните интереси и компетенции (знаења, вештини, вредности и ставови) на учениците. Основното училиште организираше воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности, која ја утврдува министерот на предлог на Бирото за образование. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни, достапни за сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја: Личен и социјален развој; Демократска култура, мултикултура и граѓанство; Уметничко изразување и култура; Претприемништво и финансиска писменост.

Учениците, според нивните интереси и потреби, се вклучуваат во воннаставни активности, кои редовната настава делумно или не ги опфаќа. Воннаставните активности им овозможуваат на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и ја подигаат нивната мотивација за постигнување повисок училишен успех. Во училиштата се реализираат повеќе видови задолжителни

воннаставни активности кои можат да бидат краткотрајни, какви што се: акциите, излетите, екскурзиите и еднократните работилници или подолготрајни, какви што се: еколошки и спортски клубови, училишниот театар, училишниот хор и оркестар. Овие активности се реализираат и преку соработка со родителите, локалната заедница и партнерски училишта.
Наставниците водат евиденција за реализација за воннаставните активности во е-дневник како и во Педагошка евиденција за воннаставните активности. Ангажираноста на учениците и нивните постигнувања се внесуваат како описни искази во Додатокот на свидетелство.

### 9.1. Училишни спортски клубови

**Извештај за учество на учениците во спортски активности во учебната 2022/2023 година**

Нашето училиште е активен член на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба (ОСУСГБ), кој функционира во соработка со Федерација на училишни спортови. Во училиштето функциноираат училишните спортски секции, каде се прави селекција на ученици кои се вклучени во системот на спортски манифестации од типот лиги и турнирски натпревари на општинско, градско и државно ниво, подржани или организирани од Федерацијата за училишен спорт на Македонија.
Промовирањето на спортот во училиштата има за цел поздрав живот, а спортот во соработка со родителите, има моќ да ги воспитува младите. Училишниот спорт дополнително е битен, зашто низ системот натпревари се развива способноста за компетенција и се стекнуваат нови знаења од областа на спортот.
Конкретно, целта на училишниот спорт е преку разновидни и систематски спортски активности, во тесна релација со воспитно образовните подрачја на предметот физичко и здравствено образование, да допринесе за интегрален (когнитивен, афективен и моторички) развој на личноста на учениците, стекнување, усовршување и примена на спортски умеења, навики и неопходни теоретски знаења во секојдневни и специфични ситуации во животот, како и унапредување на меѓуетничкат кохезија и интеграција во училиштата од нашата општина. Ученици во нашето училиште активно беа вклучени во системот спортски натпреварувања и тоа:

- Во месец ноември во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со основните училишта се одржаа квалификациски натпревари во ракомет - девојчиња.
- Во периодот од почетокот на октомври во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига футсал - машки, на кој зеде учество и нашето училиште
- Во периодот од почетокот на октомври во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига кошарка - машки, на кој зеде учество и нашето училиште.

- Во периодот од почетокот на октомври во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига одбојка - женски, на кој зеде учество и нашето училиште.
- На 21.09.2022 година, учениците од централното и подрачното училиште, имаа спортска активност организирана во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.
- На 30.09.2022 година, учениците учествуваа на на Есенски корос, кој беше под покровителство на општина Гази Баба и Сојуз на Училишен спорт.
- На 27.11.2022 година, во соработка со Училишниот сојуз се одржа планинарење на падините на Скопска Црна Гора.
- Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и ФУСМАК на ден 12.04.2023 година се одиграа натпреварите во одбојка - девојчиња за 6 и 7 одделение.
- Во спортската сала Методија Андонов - Ченто на ден 13.04.2023 година, во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и ФУСМАК се одиграа натпреварите во футсал - машки за 6 и 7 одделение.
- Во рамките на меѓуучилишните натпревари во организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба, на 30.05.2023 година во просториите на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци се одржа општински турнир во пинг понг каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.
- На 01.06.2023 г. на тенискиот терен во ООУ "Григор Прличев" се одржа општински турнир во тенис каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.
- За учениците од I до V одд. во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба, на 01.06.2023 г. во ООУ "Наум Наумовски Борче" се одржа Општинско првенство во шах за 2023 година каде учениците од I до V одд. се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.
- Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Општина Гази Баба на ден 06.06.2023 во новата училишна спортска сала ,,Бобан Ивановиќ" во склоп на ООУ ,,Кирил и Методиј"- Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 4-то одделение во одделенска настава под мотото ,,Кошарката моја игра".

### 9.2. Секции/Клубови

Според наставниот план за работа изготвен од БРО, а одобрен од МОН, слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно по редовните часови. За учество во работата на секциите учениците се определуваат со пополнување на анкетни листи кои се задаваат во почеток на учебната година. Секој ученик, по свој личен избор, може да се одлучи да членува во една или најмногу две секции. Слободните ученички активности имаат цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат афинитети и интереси, без оглед на успехот во наставата. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници.
Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:
- слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;
- културно-уметнички активности;
- спортски-рекреативни активности;

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции: од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.
Во рамките на слободните културно-уметнички активности ќе работат секциите: литературно-рецитаторска, ритмичка, драмска, ликовна, еколошка секција.
Во слободните спортски-рекреативни активности ќе работат спортските секции: кошарка, ракомет, фудбал, одбојка, футсал, итн.
Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.
Од учебната 2022/2023 година наставата во прво, второ, четврто и петто одд. се реализира согласно новата Концепција за основно образование според која слободните ученички активности и секциите се дел од редовната настава.

**Годишен извештај за драмската секција за учебната 2022/2023 година**

Во драмската секцијата активно членуваат ученици од одделенска настава кои покажуваат поголем интерес и афинитети за глума. Содржините предвидени за слободните активности по овој предмет им овозможуваат да ја покажат својата креативност, да ги покажат своите таленти за пишување и играње улоги.
Изразното читање, рецитирање на песни, приказни, драмски текстови се дел од нашите активности со кои го прошируваме и продлабочуваме нашето знаење.

Се користат различни форми и методи на работа: индивидуална, работа во парови, групна, демонстративна, работа со текст, дијалошко-монолошка, разговор, раскажување, објаснување, метод на пишување, аудио-визуелен метод, анализа, синтеза и др.

Оваа година членовите на секцијата со љубов и голем ентузијазам се подготвија и успешно настапија на приредбата за прием на првачиња и приредба по повод зачленување на второодделенците во училишната библиотека.

## Годишен извештај за работата на секцијата по физика во учебната 2022/2023 година

Програмата за работа на секцијата по физика опфаќа содржини што се актуелни во доменот по физика и се избрани со цел да го систематизираат, продлабочат и прошират знаењето кај учениците. Секцијата по физика е формирана со цел да ја популаризира физиката помеѓу учениците во училиштето. За време на секцијата се одржуваа предавања, дискусии, се гледаа видеа и анимации на теми што се актуелни во доменот на физиката, како и теми предложени од учениците. Темите најчесто се земени од учените содржини, од некои познати списанија по физика, некои теми ги предложија учениците од содржини што се во тренд или ги прочитале во дневниот печат за некои појави или достигнувања во науката и сакале да ги прошират своите знаења. Како наставни средства и помага се користат компјутери, phet симулации, онлајн квизови.

## Годишен извештај за секција по англиски јазик (предметна настава) за учебната 2022/2023 година

Секцијата беше формирана на почетокот на учебната година. Секцијата брои 10 ученици. Секцијата работеше по програмата подготвена од страна на наставникот што ја води а дел од содржините беа по сугестија на членовите. Сите содржини се реализирани со физичко присуство.
Часовите од секцијата се одржуваа секој петок. На часовите им се овозможи на учениците да ја развиваат нивната љубопитност, креативност и интересот за изучување на англискиот јазик. Ги прошируваа своите знаења од сите сфери вклучувајќи ја граматиката и литературата.
Часовите беа исполнети со активности кои учениците со голема желба и интерес ги следеа. Тие изработуваа најразлични изработки користејќи дигитални алатки и апликации (Canva, Vimeo, liveworksheets, Quizizz, Mentimeter): постер со најважните знаменитости на Велика Британија, традиционлната храна и сл. Се изработуваа граматички вежби, се драматизираа текстови, се запознаваа со карактеристиките, обичаите својствени за одредени празници, се пишуваа состави на одредена тема, се истражуваше на интернет, се спроведуваа разни квизови се со цел да се поттикне натпреварувачки дух кај учениците и да се зголеми нивото на знаење.
Содржините допринесоа поголем интерес и љубов во изучувањето на јазикот, развој на другарството, подобра клима за работа.

## Годишен извештај за секција по англиски јазик (одделенска настава) за учебната 2022/2023 година

Слободните ученички активности по англиски јазик се одржуваат со цел проширување на стекнатите знаења за јазикот на учениците. Наставните содржини имаат цел колку што е можно повеќе да ги стават во активна и продуктивна употреба англискиот вокабулар, граматиката, изразите и сл. што учениците ги усвоиле во тековната и изминатите години. Учениците се охрабруваат да зборуваат и пишуваат на англиски јазик во текот на целиот час, во рамките на нивните познавања, и да не обрнуваат преголемо внимание на евентуалните грешки, туку да стават акцент на меѓусебното комуницирање.
Интересот на учениците е задоволителен, исполнителни се на часовите, соработуваат со наставникот и еден со друг.
Активностите за учебната 2022/2023 година беа реализирани според предвидената годишна програма.

## Годишен извештај за еколошка секција за учебната 2022/2023 година

Програмата за работа на Еколошката секција опфаќа содржини што се актуелни во доменот на екологијата. Еколошката секција е формирана со цел учениците да ја разберат улогата на човекот во заштитата на животната средина, развивање на свеста за начелата за заштита на животната средина преку одржливо користење на природните ресурси, систематизирање, продлабочување и проширување на знаењето кај учениците.
Делот за животната средина има за цел да ги информира учениците за последиците од промената на животната средина како резултат на несовесното дејствување на човекот. Заштита и подобрување на животната средина е цивилизациска обврска на човештвото, а образованието за животната средина е составен дел од културата на живеење. Неопходно е постојано да се надоградуваат моралните принципи на учениците во однос на природата и животната средина, преку подигање на свеста за животната средина и практикување на еколошко однесување.
Во текот на годината организираме акции на зеленило, садење растенија. Учениците учествуваат во активно чистење на дворот, садење растенија, наводнување. Темите кои се обработуваа беа дел од учените содржини, некои теми ги предложија учениците со цел проширување на своите знаења. Како наставни средства и помагала се користат хамери, речник, автентични документи, илустрации, компјутери (интернет), интерактивна табла, енциклопедии, стручна литература.

## Годишен извештај од секцијата по математика за учебната 2022/2023 година

Програмата за работа на секцијата по математика опфаќа содржини од математичкиот и логичкиот дел на секојдневието на учениците и се избрани со цел да го систематизираат, продлабочат и прошират знаењето кај учениците. Тие помагаат во развивањето на логичките способност, проширувањето на активниот мисловен процес и увежбување на истиот, запознавање со некои нови начини на разрешување на математичките и логичките проблеми како кај нас така и во другите земји. Со користење на разновидни методи,

форми и техники на работа се мотивираат учениците, се развива креативноста и се поттикнуваат на самостојно учење и самовреднување. Како наставни средства и помага се користат Нумерус, збирки од различки автори и земји, компјутери (интернет). Преку учество во оваа секција учениците се подготвуваат за учество на општинските и регионалните натпревари по математика кои ќе се одржуваа во текот на второто полугодие.

## Годишен извештај за работата на хор и оркестар

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Аудиција:**<br>- одредување на музикалноста<br>– техника на свирење;<br>- степен на обученост за свирење на инструменти; | - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.<br>- Презентира ритмичка интерпретација;<br>- демонстрира инструментална изведба по свој избор<br>- да поседува елементарни знаења од музичката писменост | септември во текот на целата учебна година | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, Клавир – синтисајзер | -да има основно познавање за музичките инструменти |
| Усвојување на основи на вокална техника, демонстрација и примена на вежби за распејување и дишење. | - пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал;<br>- пее вежби за развивање на вокалната техника;<br>- применува вежби за правилен пеачки став,<br>- применува различно темпо и динамика;<br>- презентира креативна и естетска вокална интерпретација;<br>- прави избор на програма; | септември октомври во текот на целата година | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | - примена на правилен пеачки став, правилно дишење и поставка на вокал;<br>- развивање на вокалната техника;<br>- примена на различно темпо, динамика;<br>- презентација на креативна и естетска вокална интерпретација; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обработка на:<br>Химна на ОУ „Димитар Миладинов“<br>Народни песни: | -усвојува ритмичко мелодиска целинба<br>- применува правилна интерпретација со соодветно темпо и динамика<br>- го доживува карактерот на композициите и презентира правилна изведба; | октомври<br>ноември | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко;<br>нотен материјал;<br>синтисајзер | -усвојува правила за изведба на свечена песна - химна<br><br>- го проширува репертоарот на народни песни, дел од фолклорното наследство |
| **„Божиќна песна“** J, Коџабашија<br>**„Тивка ноќ“**<br>„**Две лири“** – К. Гочева преработка (двогласна) | -да демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- да применува соодветно темпо и динамика;<br>да го доживее карактерот на композицијата; | ноември<br>декември<br>јануари | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко;<br>нотен материјал;<br>синтисајзер | - пее традиционални странски песни преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи<br>- применува повеќегласна интерпретација |
| **„Сплет на нродни песни**-<br>„Свилено фустанце“<br>„ Сербез Донка“<br>**„Велигденска песна“** | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика;<br>да го доживее карактерот на композицијата;<br>-стекнува искуство за јавна изведбена активност; | февруари<br>март<br>април | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко;<br>нотен материјал;<br>синтисајзер | -развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции |
| **„Во пролет“** J C Бах | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика; | мај<br>јуни | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко;<br>нотен материјал;<br>синтисајзер | - развива љубов кон пеењето;<br>- интерпретира композизии преку кои ќе се запознае |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - го доживува карактерот на композицијата; | | | | со творештвото и културата на други народи |

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Аудиција:**<br>- одредување на музикалноста<br>– техника на свирење;<br>- степен на обученост за свирење на инструменти; | - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.<br>- Презентира ритмичка интерпретација;<br>- демонстрира инструментална изведба по свој избор<br>- да поседува елементарни знаења од музичката писменост | септември во текот на целата учебна година | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, Клавир – синтисајзер | -да има основно познавање за музичките инструменти | индивидуална |
| **Видови, технички можности и наин на свирење на ДМИ:**<br>- ги проширува теоретските знаења во областа на свирење на ДМИ;<br>- развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ; | - учи за поделбата на ДМИ (ритмички, мелодиски);<br>- препознава ДМИ по навната звучност,<br>- дискутира за секој инструмент од групата на ДМИ<br>- свири на ДМИ. | септември | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ | -да развива љубов кон свирењето и кон изведувањето композиции на музичките инструменти | групна |
| **Видови, технички можности и наин на свирење на блок флејти:**<br>- усвојува нови знаења;<br>- развива творечките | -препознава видови на блок флејти;<br>-усвојува техника на свирење на блок флејта;<br>-демонстрира технички вежби; | септември октомври | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, блок флејти,нотен материјал | -да ги познава сите тонови (do,re, mi, fa, sol, la, si, do)<br><br>-да развие љубов | групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| способности, етичките и естетските вредности | -демонстрира вежби за секој тон (sol; mi; sol-mi; fa; sol-fa-mi; do; sol-fa-mi-do; re; do-re-mi -fa-sol; la; do2; si;) | | | | кон свирењето на блок флејта и реализирање на музички композиции | |
| **Химна на Р.М.**<br>- усвојува и презентира правила за изведба на свечена песна - химна<br>- учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко | - интерпретира празнични композиции;<br>- презентира правилна изведба<br>- стекнува искуство за заедничко музицирање,<br>- чувствува задоволство од изведбата на свечени песни; | октомври ноември | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - развива способност индивидуална инструментална интерпретација;<br>- почитува дадени упатства на диригентот и менторот; | група |
| **Ритмичко мелодиски вежби и канони:**<br>- се здобие со искуство за двогласно свирење<br>- демонстрира правилна изведба на канонската мелодија | - усвојува поим канон;<br>- свири канонска мелодија;<br>- свири и следи втора мелодија | ноември декември. јануари | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;<br>- ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа; | индивидуална |
| Новогодишни композиции:<br>**„Новогодишен Валцер“**<br><br>-Обработка на сле на народни песни;<br>- обработка на познати мелодии со фолклорни мотиви | -интерпретира празнични композиции;<br>- презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба;<br>-учествува во заедничко музицирање,<br>- чувствува задоволство од изведбата на народни песни или композиции инспирирани од народниот | декември, јануари | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | -развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ<br>- интерпретира композизии преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на | група |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | фолклор;<br>- свири композиции од светската литература | | | | другите народи | |
| **Обработка на композиции од познати автори: „Арија од операта Оберон“** | - интерпретира популарни композиции;<br><br>- презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба<br><br>- стекне искуство за заедничко музицирање<br><br>- чувствува задоволство од својата интерпретација;<br><br>- презентира изведба пред публика | Во текот на второ полугодие | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - развива способност индивидуална инструментална интерпретација;<br>- почитува дадени упатства на диригентот и менторот;<br>- ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;<br>- ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа; | индивидуална |
| **Свирење на композиции по избор** | - чувствува задоволство од својата интерпретација по својот избор | Во текот на второ полугодие | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - развива љубов кон свирењето; | Индивидуална Група |

**Годишен извештај за активности реализирани преку разглас во учебната 2022/2023 година**

Во текот на учебната 2022/23 година беа реализирани активности за одбележување значајни датуми, навремено информирање на учениците и вработените, литературни читања и слично.

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Целна група | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Ден на независноста на Македонија | Одбележување значајни датуми | 07.09.2022 | ученици и вработени | Запознавање со поважните одлики на Денот на независноста |
| Читање реферат по повод Денот на народното востание | Одбележување значајни датуми | 10.10.2022 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Одбележување на Денот на формирање на МРО | Одбележување значајни датуми | 21.10.2022 | ученици и вработени | Почит кон државните празници, потсетување на историското минато |
| Слушање музика за време на слободните активности | Создавање пријатна клима и атмосфера за работа | тековно | ученици | Пријатно чувство кај учениците |
| Читање реферат по повод Денот на ослободувањето на Скопје 13 Ноември | Одбележување значајни датуми | 11.11.2022 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Читање реферат по повод 8 Декември - Св. Климент Охридски | Одбележување значајни датуми | 07.12.22 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Читање реферат по повод 151-та годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев | Одбележување значајни датуми | 03.02.2023 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Читање реферат по повод прогласувањето на Првенци на генерацијата и континуирано одлични ученици | Создавање пријатна клима и атмосфера за работа | 12.06.2023 | ученици и вработени | Пријатно чувство кај учениците |

## Годишен извештај за работата на библиотекарската секција во учебната 2022/2023 година

Библиотекарската секција дава поддршка на учениците во развој на читателските вештини, писменост, поттикнување на креативност и творештво, пишување на лични творби, за подобрување на квалитетот на сите видови воспитно-образовна работа, социјалните вештини, ненасилна комуникација, поттикнување на самостојно учење, креативно осмислување и одбележување на значајни датуми. Библиотекарската секција се одвива два пати седмично и вклучени се ученици од IV до IX одделение.

СЕПТЕМВРИ

| | |
|---|---|
| 1.Обновување на членството и зачленување на нови членови. | 2.09.2022 |
| 2.Разгледување и усвојување на програмата за работа. | 6.09.2022 |
| 3.Изработка на изложба на книги посветена на 8-ми септември. | 9.09.2022 |
| 4.Пишување на творби (поезија) посветено на Денот на независноста. | 13.09.2022 |
| 5.Средување на книгите по МДК систем. | 15.09.2022 |
| 6.Техничка обработка на книги (ставање печат, налепница, инвентирање, сместување ). | 20.09.2022 |
| 7.Запознавање на учениците со вештините на млад библиотекар. | 22.09.2022 |
| 8.Вежба: Пишување на каталошки картончиња на книги – млади библиотекари. | 27.09.2022 |

ОКТОМВРИ

| | |
|---|---|
| 1.Наставно ливче:„Сместување на книгите според азбучен редослед по презимето на авторот “. | 4.10.2022 |
| 2.По повод 11- ти Октомври читање на литературни творби. | 6.10.2022 |
| 3.Средување на книги по МДК систем. | 12.10.2022 |
| 4.Изложба на избор омилени книги за деца. | 14.10.2022 |
| 5.Месец на книгата: Избор на омилена книга по повод месецот на книгата. | 18.10.2022 |
| 6.Наставно ливче: „Поучни пораки според прочитани книги, мудри изреки за книгата“. | 20.10.2022 |
| 7.Читање на драмски текстови по улоги. | 25.10.2022 |
| 8.Читање на детски литературни творби. | 27.10.2022 |

НОЕМВРИ

| | |
|---|---|
| 1.Посета на НУБ„Св. Климент Охридски“. | 1.11.2022 |
| 2.Избор и изложба на најчитани книги. | 3.11.2022 |
| 3.„Мојот омилен писател“- избор на најчитани писатели. | 08.11.2022 |
| 4.Читање на лични творби посветени на Скопје. | 10.11.2022 |
| 5.Тематско читање „Низ најубавите страници од прочитаната книга“. | 16.11.2022 |
| 6. Читање и драматизации на едночинки. | 17.11.2022 |

7.Средување на книги по МДК систем 22.11.2022
8.Изложба на најчитани книги на месецот. 24.11.2022

ДЕКЕМВРИ

1.Изработка на програмата за прием на второодделенците во Библиотеката. 1.12.2022
2.Презентација за животот на Св. Климент Охридски и неговото дело. 6-7.12.2022
3.Литературно читање: Добрина да посадиме, љубов да никне – од фестивалот Детски лирски треперења. 09.12.2022
4.Организирање изложба на книги „Ви препорачуваме“. 13.12.2022
5.Говорни вежби – драмски игри на тема „Со убаво се решаваат сите проблеми“ 15.12.2022.
6.Избор на најчитани книги во првото полугодие. 20.12.2022
7.Читање на новогодишни желби во рамки на приредбата за второодделенците- проект МИО 28.12.2022
8.Приредба за прием на второодделенците во училишната библиотека. 28.12.2022

ЈАНУАРИ

1.Пополнување на анкетно ливче за квалитетите на книгите кои се најчитани. 24.1.2023
2.Изложба на лектири. 26.1.2023
3.Изложба на книги и текстови за Св.Наум Охридски – Чудотворец 31.1.2023

ФЕВРУАРИ

Избор на најактивни читатели. 02.2.2023
Соработка со НУБ.„Св Климент Охридски“ – Обработка на нови книги. 07.2.2023
Изложба на книги. 09.2.2023
Избор на најчитани книги. 14.2.2023
Литературно читање. 16.2.2023
Тематско читање и изложба „Мојот омилен писател“. 21.2.2023
Изложба на нови книги. 23.2.2023
Изведување на драматизации и едночинки. 28.2.2023

МАРТ

| | |
|---|---|
| Пишување на лични творби за мајката. | 02.3.2023 |
| Изложба на книги посветена на мајката. | 07.3.2023 |
| Обработка на книги по МДК систем. | 09.3.2023 |
| Говорна вежба, разговор и читање на литературни дела посветени на мајката. | 14.3.2023 |
| Информирање за нови книги, и читање на препораки за омилени книги – проект МИО. | 16.3.2023 |
| Пишување препораки за книги, цитати и мисли за книгата. | 21.3.2023 |
| Говорна вежба и читање поезија на тема: Сакам мир- проект Ненасилство. | 23.3.2023 |
| Избор на најактивни читатели. | 28.3.2023 |

АПРИЛ

| | |
|---|---|
| Разговор на тема „Книга која ми остави најдобар впечаток“ | 04.4.2023 |
| Литературно читање на детска литература од македонски автори. | 06.4.2023 |
| Организирање на изложба „Најомилените детски книги“. | 11.4.2023 |
| Избор на омилени детски писатели. | 13.4.2023 |
| Техничка обработка и средување на нови книги. | 18.4.2023 |
| Средување на книги по МДК систем. | 20.4.2023 |
| Организирање изложба на книги на тема „Работата го краси човекот“ | 25.4.2023 |
| Избор на најактивни читатели на месецот | 27.4.2023 |

МАЈ

| | |
|---|---|
| Литературно читање посветено на Гоце Делчев. | 02.5.2023 |
| Техничка обработка и сместување на нови книги. | 04.5.2023 |
| Презентации:“Патот на книгата од авторот до читателот“, и „Мал квиз на знаење“, | 09.5.2023 |
| Запознавање на книжниот каталог и неговата примена. | 11.5.2023 |
| Говорни вежби -подготовки за патрониот празник. | 16.5.2023 |
| Читање на литературни творби посветени на просветителите Св.Кирил и Методиј. | 18.5.2023 |
| Читање и избор на литература за просветителите Св. Кирил и Методиј. | 22.5.2023 |
| Изложба на книги посветена на дејноста и делото на нашите патрони Св. Кирил и Методиј. | 25.5.2023 |

ЈУНИ

| | |
|---|---|
| Избор на најактивни читатели. | 01.6.2023 |

Избор на најчитана книга. 06.6.2023
Изложба на лектири. 08.6.2023
Изложба на книги на тема.„Ви препорачуваме книги за летниот распуст“ 13.6.2023

**Задачи и цели:** Познавање и разликување на библиотечната граѓа и нејзиното сместување по УДК систем.
Откривање на уметничката литература и нејзините вредности.
Учествување и организирање на културни манифестации и настани, одбележување на значајни датуми со драматизации, рецитации, лични творби, изложби, изработка на плакати и паноа.
Запознавање на учениците со стручната работа на библиотекарот.
Следење и вклучување во активностите на училиштето.
Развивање на информациска писменост.
Развивање на читателски, комуникациски, информациони и истражувачки вештини.
Оспособување на учениците да дојдат до потребните информации и да знаат да ги применат стекнатите знаења.
**Очекувани резултати:** Развиени позитивни ставови и мислења за книгата и читањето.
Развиени вештини на креативноста, творечки способности и уметничко изразување, самодовербата кај учениците. Стекнати знаења и вештините на млад библиотекар
**Опрема и ресурси**: компјутери, интернет, библиотечната граѓа, инвентарната книга.
Користена литература: „Библиотечно работење во училишни библиотеки“ од Сузана Котовчевска

### 9.3. Акции

Во нашето училиште во текот на училишнната година се реализираа неколку акции (прослави, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции сл.). Акциите беа во организација на одговорните наставници, учениците и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.

**Извештај за хуманитарна акција**

По повод Денот на гладта, учениците од нашето училиште иницирани од Ученичкиот парламент реализираа хуманитарна акција која траеше од 14 до 21 октомври 2022 година. Собраните прехранбени продукти беа наменети за семејства од нашето училиште на кои им е потребна помош. На повикот на општина Гази Баба нашите ученици одговорија позитивно со собирање и донирање на парични средства за лекување на младо момче од нашата општина.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Форма на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **групна/ индивидуална** |
| Денот на гладта | Донирање прехрамбени продукти | октомври 2022 | наставници и ученици од I до IX одделение, родители | повеќе видови храна | развивање чувство на хуманост, солидарност и етичка свест | групна |
| - Уредување и украсување на училниците и училишните ходници | - Украсување на училниците за Нова година и изработка на новогодишни честитки | декември | наставници и ученици од I до IX одделение, родители | - хамер, хартија во боја, креп хартија, ножици, лепило | - развивање на работни навики и креативност | физичко присуство |
| Помош на сограѓанин за лекување | Донирање на парични стредства | Април 2023 | наставници и ученици од I до IX одделение | парични средства | развивање чувство на хуманост, солидарност и етичка свест | групна |

## Извештај за патрониот празник на училиштето

Патрониот празник се реализира на 23.05.2023 год. со почеток од 11 часот. Во изведбата учествуваа ученици од 1-9 одд. од централното и подрачното училиште.
На манифестацијата присуствуваа: градоначалникот на општина Гази Баба, советници, директори, наставници , родители и ученици кои со честитки, голем интерес и пиетет присуствуваа на одбележувањето на патрониот празник на нашето училиште.
На почетокот имаа обраќање директорката и градоначалникот.
Приредбата се состоеше од сценско-драмски перформанс по сценарио на актерката и режисер Снежана Конеска Руси.
Учествуваа учениците од повеќе секции во училиштето, хорот со 28 ученици, ученичкиот парламент и наградените ученици по македонски јазик Немања Јорданов и Павловска Стефани, со работилница ликовната секција Јана Величковска и Мила Младеновска. Беа изведени две ритмички точки со ученици од прво, второ и трето одделение, потоа сценска изведба на активностите по физичка култура и наставникот Филип Мојсовски, како и беа претставени Еразмус проектите од страна на учесниците и реализаторите.
Драмскиот дел го изведоа 15 ученици од второ до осмо одделение.
Пробите се изведуваа секојдневно од 11.05.2023 до 22.05.2023 год. по сценарио и во режија на актерката Снежана Конеска -Руси.
Приредбата наиде на одушевување кај присутните, а учесниците беа почестени и задоволни од својот настап.

Епохалното дело на светите браќа Кирил и Методиј, културната, образовна, цивилизациска заслуга, просветителството, писменоста и нивниот дух се вградени и отелотворени во животот и работата на сите граѓани.
Тие се заштитници на Европа, на почитта и љубовта меѓу народите. Се гордееме со нашите просветители, Светите Кирил и Методиј, со свое писмо, јазик, докажуваме оти постоиме.
Писмото и книгата се светињи, со завет да ги чуваме и негуваме.
**Учесници во патронатот:**
Ученици од I-IX одделение
хор: Александар Тасевски
ученички парламент: Благица Србиновска
ритмички точки: Елена Антонова, Габриела Андовска, Весна В.-Ангелковска
физичко сценски настап: Филип Мојсовски,
драмски улоги: Огнен Симиќ, Маја Медарска, Ели Чочова,
претставување на Еразмус проекти: Јасмина Јездиќ, Даниела Наумовска, Маја Цекова, педагог Емилија Георгиевска
учесници и соработници: директор Анита Ангеловска, наставници и стручни соработници
техничка поддршка: домаќин, технички песонал, чувар

## 10. Ученичко организирање и учество

Учеството на учениците во демократските процеси во училиштето има особено општествено значење бидејќи преку него учениците учат за демократскиот начин на делување во училиштето и пошироко во заедницата. Училиштето овозможува активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности и домени во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, како и градење механизми и процедури кои овозможуваат учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Училиштето овозможува и учениците се здружуваат и активно учествуваат преку следните модели: одделенска/класна заедница, Ученички парламент, Ученик правобранител.

### 10.1. Организирање во заедница на паралелката

Во одделенската/класната заедница во првиот месец во септември се избра претседател и заменик претседател согласно постоечката процедура. Претседателите од IV-IX одделение се членови и на Ученичкиот парламент.
Работата на одделенската/класната заедница ја води претседателот на одделението. За успешно функционирање на одделенската заедница претседателот ги извршуваше следните задачи:

-првата недела по изборот на постојаните тела претседателот го свикува првиот состанок и изготвува план за работа за учебната година со предлог активности во кои се вклучени сите членови на одделенската заедница односно сите ученици од одделението-претседателот по потреба свикуваше состанок на кој се разгледуваа тековните потреби на учениците од одделението/класот, се разговараше за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа.

**10.2. Ученички парламент**

На 05.09.2022 г. во сите паралелки од 1-9 одд. во централното и подрачното училиште беа одржани избори на одделенските заедници, при што беа избрани раководствата на заедницата.
Нашите парламентарци го одбележаа меѓународниот ден на демократијата 16 Септември. Преку дискусија најмладите членови се запознаа со демократијата како начин на владеење, нејзините принципи и вредности, како и со заштитата на личните права и слободи, и подеднаквото учество во донесувањето одлуки, дома на училиште и во заедницата.
Ученици од централното и подрачното училиште под водство на наставниците присуствуваа на завршниот настан на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, реализиран од страна на Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Младински образовен форум (МОФ). Настанот се одржа на 21 септември 2022 г.

Во изминатите 5 години, Проектот работеше со институциите и со сите основни и средни училишта и општини низ државата за зајакнување на меѓуетничката кохезија во училиштата, граѓанското однесување на учениците и младинското учество.
На ден 22.09.2022 беше одржан состанок на претседателите на одделенските заедници од IV до IX одделение од централното и подрачното училиште, со цел да се избере Ученичкиот парламент,комисии и тела. Беше присутен и тимот за поддршка на ученички парламент и ученик правобранител.
Отворањето на состанокот го направи наставничката по историја и граѓанско образование Благица Србиновска која им се обрати на присутните, кои се преставија еден по еден со име и презиме и на кое одделение е претседател на одделенската заедница.
Наставничката по граѓанско образование ја објасни процедурата за избор и начинот на гласање за Ученичкиот парламент.
Најнапред беше формирана комисија од три члена која е задолжена за спроведување на изборот (Стефани Павловска, Јана Младеновска и Исра Џемаили).
Откако се утврди дека на состанокот се присутни повеќе од 2/3 од претседателите на одделенските заедници, се премина на предлагање на кандидати за избор.

Предложени кандидати:
1.Јана Младеновска IX-1одд.
2.Мелани Козарова IX-2 одд.
3.Јана Величковска VIII-1одд.
4.Мабере Авдили VIII-3 одд.

Гласањето беше тајно и по пребројувањето се соопштија резултатите :
-За претседател на Ученички парламент беше избрана ученичката Мелани Козарова од IX-2 одд од централното училиште;
-За заменици претседатели беа избрани Јана Величковска од VIII-1 од централното училиште и Мабере Авдили од VIII-3 одд.од подрачното училиште;
За секретар беше избрана Јана Младеновска од IX-1 одд.
Се направи и избор на претставници за органите во училиштето.
Претставници за во Училишен одбор :
Мелани Козарова од IX-2одд. и Мабере Авдили од VIII-3одд.
За Наставнички совет:
Јана Величковска од VIII-1одд. и Лука Стојановски од VIII-2одд.
За Совет на родители:
Адријан Тодоровски од VIII-2одд. и Јана Младеновска од IX-1одд.

**Реализирани активности на Ученичкиот парламент**

По повод Меѓународниот ден на учителот 5 Октомври и детската недела која траеше од 03-07.10 нашите парламентарци учествуваа во работилница насловена како „Другарството е дел од детската среќа“ и „Децата пред се“, при што учениците од централното и подрачното училиште заедно со нивните ментори пишуваа песни, пораки, цртаа и ги наведуваа демократските принципи на македонски, албански, англиски, француски и германски јазик. Не ги заборавија и нивните наставници на кои преку песнички ја изразија почитта кон нив за нивната заложба за образование, стекнати вештини и подршка што ја добиваат во училишниот живот.

На 11 Ноември нашите парламентарци одржаа состанок на тема училишниот живот и предизвиците пред учениците, наставниците и родителите во однос на почитување на кодексот на однесување и злоупотреба на социјалните мрежи. Се дискутираше и за проектот за насилство врз учениците од секаков вид за кој ќе следуваат и дополнителни активности.
Нашите ученици од централното и подрачното училиште под менторство на нивните наставници го одбележаа Меѓународниот ден на толеранцијата, 16 Ноември под мотото „Толеранцијата е прифаќање и разбирање на различностите“. Учениците цртаа, пишуваа пораки, стихови на повеќе јазици и научија дека толеранцијата не се гледа со очите туку излегува од срцето, и со толеранцијата стануваш подобар човек, кога кон поинаквиот од тебе се однесуваш со почит.

Во склоп на активностите по повод на Денот на граѓанското образование, 21 Ноември учениците од предметна настава и членови на парламентот под менторство на нивните наставници од централното и подрачното училиште реализираа работилница насловена „Насилството не е опција“. Учениците играа игра за сплотување, соработка и помош, проследија презентација за насилството, што е насилство, видови насилство и превенција и изработија постер на истата тема.

Учениците од централното училиште од VI-IX одд. членови на ученичкиот парламент и Ученикот правобранител го одбележаа Меѓународниот ден на човековите права, 10 Декември. Под менторство на нивните наставнички ја проследија и анализираа

презентацијата за Универзалната декларација на човековите права и изработија постер за настанокот на човековите права, нивниот развој низ историјата, видови на права и документи кои ги заштитуваат истите.
Со цел,поттикнување на одговорност и иницијативност кај учениците,промоција на граѓанските вредности на ниво на цело училиште и развивање на хуманоста и зголемување на свесноста за волонтирање и помагање,нашите ученици од централното и подрачното училиште под иницијатива на ученичкиот парламент организираа хуманитарна акција за помош на една млада личност од нивното соседство, за лекување од тешка болест во текот на седмицата од 03.-07.04.2023 г.

Нашите ученици од предметна настава го одбележаа 4Мај денот кога се сеќаваме на личностите кои и дадоа голем придонес на нашата историја и култура,личности на кои секогаш треба да им бидеме благодарни,преку читање на реферат за Гоце Делчев,песни за Гоце,презентација за Пере Тошев,Јосип Броз Тито и нашата мајка на македонската изворна музика Васка Илиева. Исто така денес се одржа и состанок на ученичкиот парламент на кој се дискутираше за реализираните активности и идните кои треба да се реализираат во овој период.

Нашите ученици од одделенската заедница и ученичкиот парламент од VI - IXодд. во централното училиште го одбележаа 9 Мај, Денот на Европа и Денот на победа над фашизмот со реферат, презентација за ЕУ и квизови. Целта беше да се добие повратна информација колку децата ја разбираат структурата и работата на ЕУ.

## Извештај од реализирани активности на Ученичката заедница и Ученик правобранител

Во текот на учебната 2022/2023 год се реализираа активности во врска со ученичката заедница, ученичкиот парламент и ученик правобранител. Активностите се наведени во акциониот план за активности според редоследот на реализација. Активностите се реализирани според предвидената динамика по месеци, работилници, дебати, состаноци и др.
Потребни ресурси за реализација: хартија, хартија во боја, фломастери, компјутер, електронска табла, принтер, е-маил адреси, формулари за апликација.

| Реден бр. | Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Планиран број часови за активноста | Одговорност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Состанок на тимот за подршка на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител | Договор за изработка на акционен план на училиштето | 22.08.2022 | 1 час | Директор<br>Тим за поддршка |
| 2 | Изготвување акционен план на училиштето | Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците | 25.08.2022 | 4 часа | Директор<br>Тим за поддршка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Редефинирање на улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на сите субјекти во училиштето | Обезбеден сеопфатен училишен приод за демократска партиципација на учениците преку: Редефинирање на ресурсниот пакет Мотивирање на поголем број класни раководители за активно учество во спроведување на процедурите. Стекната поддршка од сите субјекти | 02.09.2022 | 1час | Директор Тим за поддршка |
| 4 | Спроведување на процедурата за избор на претседател во одделенските заедници | Формирани тела со ученици од одделенските заедници согласно демократските процедури | 05.09.2022 | 3 часа | Тимот одговорен за поддршка и сите одделенски наставници и класни раководители од прво до деветто одд. |
| 5 | Спроведување на процедура за избор на ученички парламент | Формирана комисија од тројца членови за спроведување на претседател на ученички парламент ученички парламент | 21.09.2022 | 2 часа | Директор Тим за поддршка |
| 6 | Спроведување на процедура за избор на ученички парламент | Формиран ученички парламент и избрани координатори и координаторно тело на ученичкиот парламент | 22.09.2022 | 3 часа | Директор Тим за поддршка |
| 7 | Изработка на предлог програма за работата на ученичкиот парламент | Изработена програма со конкретни активности за работата на ученичкиот парламент | 03.10.2022 | 5 часа | Тим за поддршка |
| 8 | Презентација на искуства и модели за работа на ученички парламент | Правилно разбрана улогата на ученичкиот парламент | 03.10.2022 | 2 часа | Тим за поддршка |
| 10 | Формирање Комисија за евалуација на претставки и пријави | Правилно канализирање на работата на Ученикот правобранител и соодветно процесуирање на пријавите | 01.11.2022 | 1 час | Тим за поддршка Наставници |
| 11 | Организирање на инфо ден | Отворен ден на ГО | 21.11.2022 | 3 часа | Директор Тим за подршка Сите одделенски и предметни наставници |
| 12 | Работилница 1 „Културна толеранција“ | Запознаени ученици со културните разлики меѓу луѓето,стекната способност на различни начини да ги решаваат проблемите кои им ги поставува заедничкото живеење | 18.10.2022 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Работилница 2 „Идентификување и разрешување на конфликти“ | Запознаени ученици со видови на конфликти и стилови за нивно разрешување | 03.12.2022 | 4 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 14 | Работилница 3 „Младинско учество“ | Запознаени ученици со скалата на учество на Роџер Харт, како критериум за оценување колку младите се вклучени во решавање на заедничките прашања во училиште и во заедницата | 15.12.2022 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 15 | Работилница 4 „Превземање акција во училиште“ ученичка иницијатива | Применуваат промени од заеднички интерес во група и да практикуваат демократска партиципација | 08.02.2023 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 16 | Дебата 1 „Се грижиме доволно за животната средина“ | Аргументирано дискутираат, изнесуваат факти, донесуваат конструктивни решенија | 16.02.2023 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 17 | Дебата 2 „Треба учениците да учествуваат при формирањето на нивните оценки“ | Аргументирано дискутираат, изнесуваат факти, превземаат одговорност и донесуваат конструктивни решенија | 09.03.203 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 18 | Дебата 3 „Културата на другите етнички заедници најдобро се учи преку заедничко чествување на празниците“ | Применуваат правила со кои се одвива дебата помеѓу најмалку две спротивни страни, со аргументи за почитување и толеранција | 26.04.2023 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 19 | Дебата 4 „Учениците треба да учествуваат во изработката на училишниот план за екскурзии и посети“ | Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за прилагодеността на екскурзиите и посетите | 03.05.2023 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 20 | Дебата 5 “Ваквиот начин на работа на УЗ го подобри имиџот на училиштето” | Аргументирано дебатираат и конструктивно изведуваат заклучоци | 17.05.2023 | 3 часа | Тим за поддршка Наставници |
| 21 | Состаноци со одделенски | Подобрена состојбата на имплементација | Октомври 2022– | 5часа | Тим за поддршка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | заедници<br><br>Состаноци со ученички парламент<br><br>Состаноци со ученик правобранител | за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br>Подобрена состојбата на имплементација за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки. Промовира, дава поддршка и заштита на учениците | мај 2023<br><br>Ноември 2022 – мај 2023<br><br>Декември 2022– мај 2023 | <br><br>5 часа<br><br>5 часа | Наставници |
| 22 | Состаноци на тимот и менторска поддршка на наставници | Поддршка на капацитетите на наставниците за спроведување акции во ОЗ; Помош во креирање одделенски портфолија<br>Поддршка во спроведување работилници и дебати во одделенските заедници | Август 2022 – јуни 2023 | 5 часа | Директор<br>Тим за поддршка |

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Програмата за ученички екскурзии, излети и настава во природа, во текот на учебната година беа организирани повеќе екскурзии со учениците и еднодневен есенски излет.

Во периодот од 12.10-14.10.2022 год. учениците од IX одделение реализираа тридневна екскурзија низ Западна Македонија. На екскурзијата беа посетени Бигорски Манастир Св. Јован Крстител, Вевчани и разглед на Вевчански извори, градот Струга, манастирскиот комплекс Св. Наум Охридски, стариот град во Охрид, Плаошник, Античкиот Театар, Св. Јован Канео. Учениците се запознаа со природните карактеристики на Западна Македонија, како и со културно-историските знаменитости на регионите.

На 6 и 7 октомври учениците од VI одделение реализираа екскурзија низ Источна Македонија. На екскурзијата беа посетени црквата Св. Троица во Радовиш, манастирите Вељуса и Водоча, Смоларските водопади, градот Струмица, Дојранско Езеро,

винаријата „Вила Марија“ и античкиот град Стоби. Учениците се запознаа со природните карактеристики на Источна Македонија, како и со културно историските знаменитости на регионите.

На 10 октомври со учениците од прво до деветто одделение беше реализиран еднодневен излет преку кој беа осварени спортско рекреативни, воспитни и образовни цели. Учениците преку престојот во природа се поттикнуваат да развијат интерес за спортски активности, за природата и градење на еколошки навики, развој на свест на чување на околината, градење културни навики на однесување во природа и стекнување навики за здраво живеење. Стекнуваат искуство за осамостојување и грижа за себе, дружење, социјализација и колективна заштита.

Целта на Наставата во природа е преку повеќедневен од 24.04 – 28.04.2023 година, престој на учениците надвор од местото на живеење преку (низ) едукација, рекреација, прошетки, забави, спортување и другарување со примена и користење на современи педагошки форми, методи и техники за работа со целосно ангажирање на одделенските раководители и други стручни кадри за соодветни теми според програмата, да се обезбеди целосно воспитание и образование на учениците.

Да се надминат етничките, социјалните и други разлики во индивидуалниот развој и сваќања на учениците со што ќе се обезбеди формирање на здрава и сестрана личност, способна активно и креативно да се вклучи во понатамошниот воспитно образовен процес и во други сфери на живеење и работа.

Целата програма е реализира во целост и се посетени следниве локации:

- Прилеп-посета на спомениkот на Могилата на непобедените
- Крушево - посета на спомениkот Македониум
- Спомен музејот на Тоше
- Мечкин камен
- Посета на манастирот Св. Наум
- Заливот на коските
- Посета на Самуиловата тврдина
- Манастирот Плаошник
- Црквата Св.Софија
- Куќата на Робевци
- Охридската чаршија
- Чинарот
- Билјанини извори
- Вевчански извори

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за екскурзии, излети и други воннаставни активности, на ден 28.04.2023 година се реализираше еднодневен излет од наставно научен и рекреативен карактер во Тетово за учениците од III одделение. На излетот беа присутни вкупно 31 ученик од трето одделение. Тргнувањето беше во 8:00 часот, а враќањето во

училиштето во Стајковци во 16.30 часот. Учениците имаа организиран превоз. Излетот беше организиран со цел остварување на спортско рекреативни, воспитни и образовни цели. Учениците преку престојот во природа се поттикнуваат да развијат интерес за спортски активности, за природата и градење на еколошки навики, развој на свест на чување на околината, градење културни навики на однесување во природа и стекнување навики за здраво живеење. Стекнуваат искуство за осамостојување и грижа за себе, дружење, социјализација и колективна заштита. Учениците имаа можност да другаруваат, да спортуваат и да поминат неколку часови на чист воздух. Го посетија градот Тетово и познатата Шарена џамија, која датира од XV век и изобилува со внатрешни и надворешни сликарски декорации. Потоа учениците го посетија и манастирскиот комплекс во Лешок, во чиј состав е и гробот на познатиот македонски просветител од XVII век- Кирил Пејчиновиќ.

На ден 25.05.2023г. се реализираше еднодневна пролетна екскурзија од рекреативен карактер во излетничкото место Сарај, на која присуствуваа сите ученици од централното и подрачното училиште, поголемиот дел од наставничкиот кадар и дел од техничкиот персонал.

## 12. Натпревари

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини. Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици.

Учениците учествуваа на натпревари според планот за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Постигнатите резултати на учениците кои го промовираа училиштето, беа редовно истакнувани пред учениците и на средствата за јавно информирање на нашето училиште.

Во прилог е преглед за учеството на натпревари во текот на учебната 2022/2023.

**Преглед за учество на учениците на натпревари во учебната 2022/2023 година**

| Ред | Предмет | Наставник ментор | Ученици | Организатор | Ниво | Освоено место |
|---|---|---|---|---|---|---|

| бр. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | Маја Медарска | Немања Јорданов VIII - 2 | Фондација Конески „100 години од раѓањето на Блаже Конески“ | | Прво |
| 2. | Физичко и здравствено образование | Фатон Ганиу | Ученици од VI до IX одд<br>Беркан Зумбери IX - 3 | Турнир во есенски крос – Општина Гази Баба | Општински | Прво |
| 3. | Македонски јазик | Маја Медарска | Немања Јорданов VIII - 2 | Литературен конкурс “Жуборења од Радика 2022 “<br>Здружение за афирмација и развој на реканскиот крај – Рекански порои | Државен | Прво |
| 4. | Македонски јазик | Билјана Тодоровска | Стефани Павловска VIII -1 | Агенција за супервизија и осугурување Литературен конкурс за национален ден на осигурување | Државен | Награда за најдобра литературна творба |
| 5. | Црвен крст | Огнен Симиќ | Јана Јовановска IX - 2<br>Александар Додевски VIII - 2<br>Немања Јорданов VIII – 2 | Детски Културен Центар | Општински | Пласман за понатамошно натпреварување |
| 6. | Ликовно образование | Ели Чочова | Немања Јорданов VIII – 2 | Ликовен конкурс<br>“ Ноќ на вештерките ”<br>Организира глобалниот едукативен портал **Baalroom** | Државен | Пофалница |
| 7. | Македонски јазик | Маја Медарска | Немања Јорданов VIII – 2 | Литературен конкурс „Ноќ на вештерките ”<br>Организира глобалниот едукативен портал **Baalroom** | Државен | Трето |
| 8. | Информатика | Билјана Димитрова | 12 ученици од VI и VII одделение | Меѓународен натпревар „Дабар“ Талент.мк | Меѓународен | Учество |
| 9. | Математика | Габриела Јорданов | Александар Додевски VIII – 2 | Сојуз на математичари на СРМ 04.02.2023 год. | Општински | Второ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Благојче Величковски<br>VIII – 2 | | | |
| 10 | Математика | Јасмина Јездиќ | Дамјан Додевски<br>VI - 2 | Сојуз на математичари на СРМ<br>04.02.2023 год. | Општински | Второ |
| 11 | Математика | Габриела Постоловска | Димитриј Аврамовски<br>IV - 1 | Сојуз на математичари на СРМ<br>04.02.2023 год. | Општински | Пофалница |
| 12 | Македонски јазик | Маја медарска | Стефани Павловска<br>VIII – 1 | Организирано од Локалната библиотека “ Гоце Делчев “ во Велес | Државен | Прво |
| 13 | Физика | Габриела Јорданов | Александар Додевски<br>VIII – 2<br>Благојче Величковски<br>VIII – 2<br>Немања Јорданов<br>VIII – 2 | ДФРМ на СРМ<br>10.02.2023 год. | Општински | Пласман за учество на регионален |
| 14 | Ликовно образование | Ели Чочова | Јана Величковска<br>VIII – 1 | Ликовен конкурс организиран од Противпожарен сојуз на град Скопје | Градско | Прво |
| 15 | Географија | Огнен Симиќ | Александар Додевски<br>VIII – 2<br>Благојче Величковски<br>VIII – 2<br>Немања Јорданов<br>VIII – 2 | Училишна Квизотека | Градско | Пласнам во наредна фаза |
| 16 | Географија | Огнен Симиќ | 6-то одд<br>Матеа Спасовска - прво место<br>Кристијан Лазаров - второ место<br>Илина Стојанова - трето место<br><br>8-мо одд<br>Стефани Павловска - прво место<br>Александар Додевски - второ место<br>Јана Величковска - трето место | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци<br><br>03.02.2023 год.<br><br>10.02.2023 год. | Училишен натпревар | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 9-то одд<br>Марко Георгиев - прво место<br>Андреј Дуковски - второ место<br>Мелани Козарова - трето место | | | |
| 17 | Македонски јазик<br><br>и<br><br>Албански јазик | Маја Медарска<br><br>Марина Димоска<br><br>Сание Ганиу | 6-то одд Мила Цветковска - второ место<br>Матеа Спасовска -трето место<br>Меглена Ѓошевска -трето место<br>Хајрие Имери- трето место<br>Пофалници -Ива Димитриевска<br>Андреј КаранфилоскЏемаил Џемаиљи Омер Сејди<br><br>7-мо одд<br>Михаела Сандева - прво место<br>Јана Симоновска - прво место<br>Унеса Рушити-прво место<br>Мила Здравковиќ - второ место<br>Клара Илиевска- второ место<br>Лука Трајановски- второ место<br>Матеа Спасовска- трето место<br>Дамјан Кузмановски- трето место<br>Пофалници-Ајсун Ајрули Јасин Џемаили<br><br>8-мо одд<br>Стефани Павловска - прво место | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци 14.02.2023 год. | Училишен натпревар | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јана Величковска - второ место<br>Шпетим Ракипи- второ место<br>Илина Коцева - трето место<br>Јована Николовска - пофалница<br>Убејт Џемаили -пофалница<br>Семра Имери-пофалница<br><br>9-то одд<br>Софија Чупаригова - прво место Александра Јовановска - прво место<br>Михаела Јакимовска - второ место<br>Сара Јованчевска - трето место<br>Јана Јовановска - трето место<br>Јана Младеновска, Мелани Козарова, Арта Ајрула, Исра Џемаиљи Беркан Зумбери-пофалници | | | |
| 18 | Англиски јазик | Јасмина Анакиоска | Петто одделение:<br>1 место- Теодор Миткоски (V-2одд)<br>2 место- Михаил Овнарски (V-2одд)<br>3 место- Николина Димовска (V-1 одд) Ивона Митевска ( V-1одд)<br><br>Шесто одделение<br>1 место-<br>Ана Антовска (VI-1одд)<br>2 место- Наталија Цветкоска (VI-1 одд)<br>3 место- Бојана Чепленска (VI-2 одд) | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци 07.02.2023 год. | Училишен натпревар | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |
| 19 | Англиски јазик | Биљана Арсова | 7-мо одд<br>1 место- Дамјан Милчевски | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци | Училишен натпревар | Прво<br>Второ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (VII-2 одд)<br>2 место-<br>Јана Ѓурковска Николовска (VII-1 одд)<br>3 место- Исидора Стојчевска (VII-1 одд)<br>Марио Ангеловски (VII-2)<br>4 место –<br>Лука Трајановски (VII-2)<br>5 место - Борјан Стојановски (VII-2)<br>8-мо одд<br>1 место- Александар Додевски (VIII-2 одд)<br>2 место- Давид Овнарски (VIII-2)<br>9-то одд<br>1 место- Софија Чупаригова (IX-1)<br>2 место-Мелани Козарова (IX-2) | 17.02.2023 год. | | Трето<br>Пофалница |
| 20 | Математика | Илфие Ганиу | 6-то одд<br>Фуркан Авдили<br>Хајрие Имери<br>Омер Сејди<br>Туана Фазли<br>Сара Фазлиу<br>7-мо одд<br>Ајсун Ајрули<br>Хазби Емини<br>Фуркан Имери<br>Мељда Јашари<br>8-мо одд<br>Анеса Авдили<br>Мабер Авдили<br>Агнеса Рахмани<br>9-то одд<br>Арта Ајрсла<br>Ебубекер Алиев<br>Беркан Зумбери<br>Исра Џемаили | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци<br><br>28.02.2023 год. | Училишен натпревар | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Математика | Јасмина Јездиќ<br><br>Габриела Јорданов | 6-то одд<br>Марија Величковска<br>Андреј Каранфиловски<br>Клара Деспотовиќ<br>8-мо одд<br>Немања Јорданов<br>Александар Додевски<br>Мила Ангеловска<br>Илина Коцева<br>9-то одд<br>Кристијан Стојчев<br>Мелани Козарова<br>Андреј Дуковски<br>Сара Јованчевска<br>Михаела Јакимовска<br>Теа Анчовска | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци<br><br>28.02.2023 | Училишен натпревар | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |
| 22 | Математика | Елена Антонова<br><br>Габриела Антовска<br><br>Адријана Сандева<br><br>Даниела Наумовска<br><br>Весна Величковска<br><br>Александра Наѓева<br><br>Габриела Постоловска<br><br>Дијана Илиевска<br><br>Христина | 1-во одд<br>Лука Николовски<br>Бобана Ивановиќ<br>Константина Лефтерова<br>Анастасија Стојанова<br>Јаков Љубовски<br>Анастасија Цековска<br>Максим Величковски<br>Антон Митковски<br>Васе Спасовски<br>2-ро одд<br>Марко Павлески<br>Ева Крстевска<br>Даријан Здравковиќ<br>Ива Спасовска<br>Луција Ваневска<br>Ведран Трајковски<br>3-то одд<br>Јована Величковска<br>Јана Митковска<br>Петар Марковски<br>Наум Стојановски<br>Бисера Милошоска<br>Јана Јакимовска<br>Дамјан Николовски | ООУ„Кирил и Методиј“ -Стајковци<br><br>28.02.2023 | Училишен натпревар | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Петровска<br><br>Јасминка Анѓелевска | Давид Стојановски<br>Сара Младеновска<br>Мелани Николовска<br>Ања Јакимовска<br>4-то одд<br>Димитриј Аврамовски<br>Александар Антовски<br>Јован Божиновски<br>Дарио Божиновски<br>Андреа Николовска<br>Јосиф Величковски<br>Петар Станковски<br>Андреј Илиевски<br>Марин Милевски<br>Стефан Манчевски<br>Јосиф Крстевски<br>Сара Давидовска<br>Јована Колевска<br>5-то одд<br>Јаков Величковски<br>Калин Трајков<br>Миа Поповска<br>Јаков Младенов<br>Даме Ѓеоргиевски<br>Михаел Овнарски<br>Ведран Ваневски<br>Марко Марковски<br>Бисера Кузмановска | | | |
| 23 | Хемија | Маја цекова | Александар Додевски<br>VIII – 2<br>Благојче Величковски<br>VIII – 2<br>Елена Коларова<br>VIII – 1<br>Јана Величковска<br>VIII – 1<br>Немања Јорданов<br>VIII – 2 | Здружение на хемичари<br>24.02.2023 год. | Општински | Второ<br>Трето<br>Пофалница |
| 24 | Географија | Огнен | Стефани Павловска | Здружение на географичари | Општински | Второ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Симиќ | VIII – 1<br>Мелани Козарова<br>IX - 2 | 04.03.2023 год. | | Пласман за регионален |
| 25 | Македонски јазик | Маја Медарска | Немања Јорданов<br>VIII – 2 | Национален ден на унгарскиот народ<br>Поема на тема<br>“ Животот и делото на унгарскиот поет Шандор Петефи “ | Општински | Прво |
| 26 | Биологија | Маја Цекова | Александар Додевски<br>VIII – 2<br>Јана Величковска<br>VIII – 1<br>Елена Коларова<br>VIII – 1<br>Немања Јорданов<br>VIII – 2<br>Благојче Величковски<br>VIII – 2<br>Јана Миланоска<br>VIII – 2<br>Магдалена Стефановска<br>VIII – 2<br>Илина Коцева<br>VIII – 1<br>Мила Ангеловска<br>VIII – 2<br>Андреј Дуковски<br>IX - 1<br>Михаела Јакимовска<br>IX - 2 | Здружение на биолози<br><br>10.03.2023 год. | Општински | Второ<br>Трето<br>Пофалница |
| 27 | Природни науки | Марија Димитрова | Павел Трајковски<br>VI - 1<br>Ана Антовска<br>VI - 1<br>Кристијан Лазаров<br>VI - 2<br>Ведран Ваневски<br>V - 2 | Здружение на биолози<br>10.03.2023год. | Општински | Второ<br>Трето<br>Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Даме Георѓиевски<br>V - 2<br>Јаков Величковски<br>V - 2<br>Стефан Спасовски<br>V - 1<br>Марко Марковски<br>V - 2 | | | |
| 28 | Англиски јазик | Биљана Арсова | Теодор Митковски<br>V – 2<br>Ана Антовска VI – 1<br>Дамјан Милчевски<br>VII - 2<br>Александар Додевски<br>VIII - 2<br>Софија Чупаригова<br>IX – 1 | Организатор ЕЛТАМ<br>18.03.2023 год. | Општински | Прво<br>Второ<br>Трето<br>Пофалница |
| 29 | Математика | Габриела Постоловска | Димитриј Аврамовски IV - 1 | Сојуз на математичари на СРМ<br>04.03.2023 | Регионален | Трето |
| 30 | Природни науки | Габриела Постоловска | Исидора Крстевска<br>IV - 1 | Здружение на биолози<br>10.03.2023 год. | Општински | Трето |
| 31 | Природни науки | Дијана Илиевска | Марин Милевски<br>IV - 2<br>Јосиф Величковски<br>IV - 2<br>Дарио Божиновски<br>IV - 2<br>Андреа Николовска<br>IV - 2 | Здружение на биолози<br><br>10.03.2023 год. | Општински | Второ<br>Трето<br>Пофалница |
| 32 | Ликовно образование | Ели Чочова | Михаела Сандева<br>VII – 1<br>Мила Младеновска<br>VIII - 2 | Ликовен конкурс<br>“Флора и фауна – извор на животот и убавината” | Меѓународен | Прво<br>Второ |
| 33 | Ликовно | Ели Чочова | Немања Јорданов | Меморијален центар на Холокаустот | Државен | Прво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование | | VIII – 2<br>Јана Величковска<br>VIII – 1 | на македонските Евреи<br>ТЕМА : “ 7144 ЗГАСНАТИ SВЕЗДИ ВО ХОЛОКАУСТОТ “ | | Трето |
| 34 | Англиски јазик | Биљана Арсова | Теодор Митковски<br>V – 2<br>Ана Антовска VI – 1<br>Александар Додевски<br>VIII - 2<br>Софија Чупаригова<br>IX – 1 | Организатор ЕЛТАМ<br>08.04.2023год. | Регионален | Прво<br>Трето |
| 35 | Биологија | Маја Цекова | Александар Додевски<br>VIII – 2<br>Јана Величковска<br>VIII – 1<br>Елена Коларова<br>VIII – 1<br>Немања Јорданов<br>VIII – 2<br>Благојче Величковски<br>VIII – 2<br>Јана Миланоска<br>VIII – 2<br>Магдалена Стефановска<br>VIII – 2<br>Илина Коцева<br>VIII – 1<br>Мила Ангеловска<br>VIII – 2<br>Андреј Дуковски<br>IX - 1 | Здружение на биолози<br>07.04.2023 год. | Регионален | Трето<br>Пофалници |
| 36 | Физика | Габриела Јорданов | Немања Јорданов<br>VIII – 2<br>Благојче Величковски<br>VIII – 2 | ДФРМ на СРМ<br>08.04.2023 год. | Регионален | Пласман на државен Учество |
| 37 | Ликовно образование | Ели Чочова | Исидора Стојчевска<br>VII – 1 | Градско здружение на ликовни педагози | Републички | Второ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 | Хемија | Маја Цекова | Александар Додевски VIII – 2<br>Благојче Величковски VIII – 2<br>Елена Коларова VIII – 1 | Здружение на хемичари 06.05.2023 год. | Регионален | Пофалница |
| 39 | Физичко и здравствено образование | Фатон Ганиу | Беркан Зумбери<br>Ебубекер Алиу | Здружение за спорт и млади | Ниво на Град Скопје | Второ |
| 40 | Екипа за Црвен Крст | Маја Цекова | Благојче Величковски VIII – 2<br>Јана Величковска VIII – 1<br>Илина Коцева VIII – 1<br>Елена Коларова VIII – 1<br>Александар Додевски VIII – 2<br>Лука Копевски VIII – 1 | Црвен Крст | Општински | Девето |
| 41 | Физика | Габриела Јорданов | Благојче Величковски VIII – 2 | ДФРМ на СРМ<br><br>03.06.2023 год. | Државен | Второ |
| 42 | Ликовно образование | Ели Чочова | Благојче Величковски VIII – 2 | Агенција за цивилно воздухопловство и Министерство за образование и наука на РСМ | Државен | Трето |
| 43 | Математика | Елена Антонова | Бобана Ивановиќ I - 1 | Олимпијада по ментална аритметика Скопје 2023 год. | Државен | Трето |
| 44 | Македонски јазик | Маја Медарска | Стефани Павловска VIII – 1<br>Магдалена Стефановска VIII – 2<br>Немања Јорданов VIII – 2 | Фонд на холокауст и Меморијален центар на Евреите во Македонија “ Холокаустот низ призмата на детските очи “ | Меѓународен | Благодарници |
| 45 | Македонски јазик | Маја Медарска | Немања Јорданов VIII – 2 | Институт за македонски јазик “ Крсте Мисирков “ – Скопје<br>Конкурс за најдобар есеј | Државен | Пофалница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | “ Јазикот наш денешен “ | | |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето има формирано тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена: претседател на Ученички парламент, Ученик-правобранител, стручен соработник и наставници. Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. При формирање на тимот за училишна интеграција, се води грижа за учество на наставници кои предаваат на двата јазика застапени во наставата во нашето училиште. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат за почитување на мултикултурализмот, за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и за унапредување на меѓуетничката интеграција.
Тимот за училишна интеграција, во соработка со наставниците, задолжително изработува план за активности кои се планирани и во Годишната програма на училиштето, во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, надминување на стереотипите и предрасудите.
Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Имајќи ја предвид средината во која се наоѓа училиштето, како и тоа дека во рамките на училиштето припаѓа и ПОУ во Страчинци, каде наставата се реализира на албански јазик и оваа учебна година се продолжи со реализирње на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер-училишта во реализација на мултикултурните активности со ООУ „Димо Хаџи Димов“ и ООУ „Крсте Мисирков“. Целта на овој проект е да се подобрат меѓуетничките односи во образовниот систем, да се придонесе за унапредување на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различностите, како и размена на културните и верските вредности. Најважно е подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните пречки. Реализирани заеднички активности со партнер училиштето ООУ „Димо Хаџи Димов“ се следните:

- На 21.10.2022 година учениците и наставниците од ООУ "Кирил и Методиј" Гази Баба и ООУ „Димо Хаџи Димов", Карпош реализираа заедничка работилница за меѓусебно запознавање и презентираа карактеристики на културите во македонското општество. Имаа плодна и конструктивна дискусија, полна со идеи и надежи за повторна средба, со нови заеднички активности наскоро и тоа со физичко присуство.
- Реализирани се наставни часови во одделенска настава од централното и подрачното училиште од I-V одд. под мотото „Заедно празнуваме и другаруваме“ на 12.04.2023 година. Учениците проследија кратка презентација за одликите на празниците Велигден и Бајрам, при што учествуваа во дискусија околу празнувањето, симболиките и други одлики на овие празници.

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

Нашето училиште продолжува со веќе утврдена пракса за реализирање на проекти кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата. Во текот на оваа учебна година во училиштето се рализираа следните проекти:

### 14.1. Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, на водата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Се реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и воннаставните активности и се вклучени сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и други институции.

**Годишен извештај за реализација на активности од ЕКО проект за учебната 2022/20223 година**

Во согласност со Планот на активности и Еко програмата во во текот на оваа учебна година, еколошките цели беа во целост реализирани, а тоа се пред се развивање на еколошка свест за здрава животна средина кај учениците, доживување на зборот екологија на начин достапен за нивната возраст, почитување и рационално користење на сè што ни дала природата.

Преку реализираните активностите учениците создадаваа навики за уредување и одржување на здрава животна средина.

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Назначување **одговорни лица** за реализација на програмата | Состанок за поделба на активностите од програмата | септември 2022 | одговорни наставници | формулари, програма за работа | Одговорно спроведување на активностите |
| Формирање **еко-патроли** за надгледување на процесот за имплементација | Назначување ученици кои ќе го надгледуваат и контролираат процесот на имплементација | септември 2022 | ученици и одговорен наставник | формулари за следење | Редовно спроведување на еко активностите |
| Дали знаеме колку е штетен Е-ОТПАДОТ? | работилницата во која изработија постери и истите ги презентираа. | ноември 2022 | Општина Гази Баба, здружение Екозвон, ученици од IV одд. и наставници | дискусија, презентација, постери | Учениците стекнаа знаења за штетноста на Е- Отпадот |
| Денот без автомобили, 22 Септември | Повеќе различни активности, ликовни и литературни творби | 22.09.2022 | учениците со наставниците | ликовни творби, плакати | Разубавен двор со цвеќиња и садници во чест на овој настан |
| Одбележување на Денот на јаболкото | Драматизација, изработка на јаболка од хартија, | 21.10.2022 | наставници ученици од 1 до | јаболки, постери, песни, презентации | Ја разбираат важноста на храната за здравјето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | конзумирање свежи јаболи, декорации од јаболки | | 5 одд | | на човекот |
| Одбележување на „Денот на гладта“ | Акција за собирање храна | ноември 2022 | ученици, родители и наставници | прехранбени продукти | Ја разбираат важноста на храната за здравјето на човекот |
| Декорација на здрава храна и креативни начини за декорирање салфетки | Декорирање храна и салфетки за прибор за јадење со одделение | 29.11.2022 | учениците од VII-1 и VII-2 наставникот Ели Чочова | храна, салфети, тањири | Ја разбираат важноста на храната за здравјето на човекот |
| Светскиот ден на храната | Подготовка на здрави и свежи оброци, едукација за здрава исхрана | октомври 2022 | наставници и ученици од I до IX одделение | повеќе видови храна | Развивање чувство на хуманост и солидарност |
| Изработка на играчки од стара хартија Запознавање со поимот рециклирање | Изработки од отпад; Презентирање на изработките | декември 2022 | наставници и ученици од 2 одд. | отпадни материјали | Почиста околина Развивање свест за селектирање отпад |
| Вградување систем за филтрирање на вода за пиење | Поставување садопер и чешмичка за филтрирана вода | декември 2022 | Фирма Флуид Проект Општина Гази Баба | Отпечатени слоганите од проектот, пулт за точење прочистена вода | Користење на здрава вода за пиење |
| Изработка на новогодишни украси од материјали за рецилкирање | Изработки од отпадни материјали; Презентирање на изработките | декември 2022 | наставници и ученици | стари сијалици дрвја, пластични чаши, стара хартија | Развивање свест за рециклирање отпад; Почиста околина |
| Ден на пролетта и екологијата | Различни активности | март 2023 | наставници и ученици | Садење цвеќиња | Развивање свест за зачувување на животната средина |
| Светски ден на водата | Различни активности | март 2023 | наставници и ученици | Презентации, креативни и едукативни изработки | Значењето на водата, секој има право да пие чиста вода |
| Светски ден на здравјето | Ликовни и литературни творби | април 2023 | наставници и ученици | дискусија, презентација | Подигнување на свеста за значењето на здравјето, здрава исхрана и здрав начин |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на живот |
| Денот на планетата Земја | повеќе различни активности, ликовни и литературни творби | април 2023 | наставници и ученици | творби, цртежи, презентации, практични игри | Заштита на планетата и нејзино зачувување |

### 14.2. Меѓуетничка интеграција во образованието

Како двојазично училиште, наш приоритет е мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција и младински активизам. За таа цел учествуваме во сите постоечки проекти во државава кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на наставниците и учениците за изведување на заеднички активности. На пример, поддржувачи на вакви активности се МОН, ОБСЕ, УСАИД, МЦГО, МОФ и општина Гази Баба. Директорот на училиштето е вклучен во изработка на Стандарди за интеркултурно образование поддржано од МЦГО и УСАИД.

**Извештај за реализирани активности за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во учебната 2022/2023 година**

Според усвоениот план и програма за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција во рамки на Годишната програма во учебната 2022/2023 година, реализирани се повеќе активности различни според содржина и времетраење. Активностите се изведени од наставници и ученици од нашето централно и подрачно училиште во просториите на нашите училишни згради, а дел од нив во посета на други објекти, со партнер училишта и во соработка со други институции.

Во месец **септември** се реализирани следниве активности:
1.Ликовно образование - Цртање по повод светскиот ден на мирот 21 Септември, целите се однесуваат на почитување и поддршка при чествување во промовирање различни култури и недискриминирање врз основа на културни разлики. Активноста е реализирана од наставник Ели Чочова со ученици од IX одделение.
2.На 21.09.2022 година група ученици од Ученички парламент и истакнати ученици кои учествувале во активности за Меѓуетничка интеграција (VIII и IX одд.) зедоа учество на завршниот настан организиран од Проектот на УСАИД за МИО, МЦГО(Македонски центар за граѓанско образование) и МОФ (Македонски образовен форум) во хотелот Александар Палас. Учениците од централното и подрачното училиште беа во придружба на наставниците: Благица Србиновска, Марина Димоска и Елмерина Фазлиу.
3.На 26.09.2022 се одржа активноста посветена на Европски ден на јазиците под мотото „Подобро образование за подобра декомратија“. Целта на оваа активност беше истакнување на важноста од изучување на европските јазици, преку промовирање на богатата јазична и културна разноликост на Европа со многујазичноста и меѓукултурното разбирање. Активноста е реализирана од

ученици од предметна настава и предметни наставници: Биљана Арсова, Јасмина Анакиоска, Марија Митреска, Благица Србиновска, Анета Кузмановска, Сание Ганиу, Вјоса Елези и Елмерина Фазлиу.

Во месец **октомври** се реализирани следните активности:
1.Одделенските наставнички Адријана Сандева и Даниела Наумовска ја реализираа наставната единица „Праведни решенија“ по предметот Општество со учениците од второ одделение на 12.10.2022. На часот преку играње улоги и создавање различни ситуации се обидуваа да дојдат до различни праведни решенија на замислени конфликти со своите ученици.
2.Предметните наставници Валентина Николовска и Јасмина Анакиоска реализираа воннаставна активност со ученици од VI-2 одд. на тема: Поговорки од различни култури“. Преку оваа активност ги продлабочија своите знаења за ораторство и го збогатија својот вокабулар.
3.На ден 21.10. 2022 година, ученици од централното и подрачното училиште зедоа учество на одбележување патронен празник на партнер-училиштето „Димо Хаџи Димов“. Учениците учествуваа во активности за творење литературни творби под менторство на наставничката Анета Кузмановска, активности на ликовната секција со наставничката Ели Чочова и спортски активности-играње шах со наставникот Сабир Ајрула. Учениците беа организирани за учество од: педагогот Емилија Георгиевска, психологот Елена Темелкоска и спец. едукатор и рехабилитатор Мартина Петровиќ.

Месец **ноември** беше предвиден за следниве активности:
1.Воннаставна активност по предметот математика со ученици од VIII и IX одделение под наслов „Математички фигури во улога на личности“ реализирана на 07.11.2022 од наставниците:Габриела Јорданов, Јасмина Јездиќ и Илфие Емини.
2.Реализиран час по ОЖВ со наслов „Справување со насилничко однесување“ во VIII-2 одд. од класниот раководител Габриела Јорданов, на 14.11.2022 година.
3.Реализиран час по германски јазик од наставник Теута Хаскај Војник во VIII-3 одделение под наслов „Булинг-Мобинг“ на 14.11.2022 година. Од овој час учениците извлекоа заклучок дека треба на мирен начин да се решаваат проблемите и на насилството да не одговараат насилно.
4.Работилница посветена на Меѓународниот ден на толеранцијата- 16-ти Ноември, реализирана со ученици од Ученички парламент(од VIII и IX одделение), на 16.11.2022 год. под менторство на наставник Благица Србиновска и наставници од Актив на општествено-хуманистичката група ( од централно и подрачно училиште).

Во месец **декември** беа реализирани следниве активности:
1.Реализиран час по ОЖВ со наслов „Конфликтите се скалила “ во VI-2 одд. од класниот раководител Јасмина Јездиќ на 12.12.2022 година.
2.Реализиран час по англиски јазик со наслов „Опишување облека“ во II-1,2 одд. од наставник Билјана Трајковска-Оливероска на 15.12.2022 година.

3.Реализиран час по Граѓанско образование со наслов„ Конфликт, идентификување и разрешување“ во IX-1 одд. од наставник Благица Србиновска на 22.12.2022. Исходите на часот придонесуваат учениците да знаат да извлечат конструктивно решение на конфликти и спорови.
4.Реализирана работилница со училишниот библиотекар Вера Стојаноска, ученици од II одделение и ученици-учесници во приредба од одделенска настава, по повод зачленување во училишната библиотека, на 28.12.2022 година, преку изведба на различни точки, пишувани честитки и желби.

Во месец **март** беа реализирани следниве активности:
1.На 14.03. и 16.3.2023 год. беше спроведена активноста „Читање и препораки за омилени книги“ со ученици од 4-6 одд под водство на библиотекарот Вера Стојаноска. Учениците преку оваа активност развија и стекнаа вештини и способности на активен читател (трудољубив, истраен, љубопитен, комуникативен читател).
2.На 15.03.2023 беше одржан час по англиски јазик со наслов на наставната содржина: Нулта толеранција за насилство реализиран во 9-то одд. од наставник Биљана Арсова. На часот учениците се стекнаа со знаења за идентификување видови насилство, учесници во насилство, нивните емоции, реакции при различни видови насилство и согледување на последици од истото.

Во месец **април** беа реализирани следниве активности:
1.Реализиран час по ОЖВ со наслов „На местот на другиот“ во VII-2 одд. од наставник Маја Медарска на 03.04.2023. Исходите на часот придонесуваат учениците да знаат да развијат емпатија и разбирање за различните од нив.
2.Реализиран час по ОЖВ со наслов „Нестереотипни задачи “ во IX-2 одд. од наставник Маја Цекова на 10.04.2023. Исходите на часот придонесуваат учениците да знаат да ги разбијат стереотипите кои постојат во средината во која живеат и учат учениците.
3.Реализирани наставни часови во одделенска настава (од 1-5 одд.) под мотото „Заедно празнуваме и другаруваме“ на 12.04.2023 година.Учениците проследија кратка презентација за одликите на празниците Велигден и Бајрам, при што учествуваа во дискусија околу празнувањето, симболиките и други одлики на овие празници. Во активноста секоја група реализираше одредена задача која беше тимски изработена, односно заеднички празнични честитки и декорации за прво и второ одделение, а од трето до петто, рецитирање на литературни творби и меморирање на истите. По завршувањето секоја група го презентираше резултатот од својата тимска работа. Учениците меѓусебно си ги разменија честитките кои беа изработени за време на активностите и се стекнаа со нови знаења за различни начини празнување.
4. Во воннаставната активност на тема: „Предродбениците од 19 век“, која се одржа на 26.04.2023 година. Учениците се претставија со поважни факти за најпознатите автори и видови песни кои ги создавале. Беа читани песни од автори кои твореле во овој период, на македонски и и албански јазик и се коментираше околу мотивите во песните на Константин Миладинов и Наим Фрашери. Беа истакнати одредени делови од нивните биографии кои ги надополнија со информации за нивните браќа Димитрија и Сами. Во текот на активноста за комуникација помеѓу двете групи ученици од централното и подрачното училиште беше користена платформата на

ТИМС под водство на наставниците Марина Димоска и Сание Ганиу со учество на наставник Анета Кузмановска и библиотекар Вера Стојаноска. Како финален продукт беа изработени хамери во вид на постери со содржини во врска со истражената тема.

Во месец **јуни** беа реализирани следните активности:
1. Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Општина Гази Баба на ден 06.06.2023 во новата училишна спортска сала ,,Бобан Ивановиќ" во склоп на ООУ ,,Кирил и Методиј" - Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 4-то одделение во одделенска настава под мотото-„Кошарката моја игра" каде учество земаа ученици од сите основни училишта од Општина Гази Баба. Целта на оваа активност е промоција на кошарката како спорт и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари.
2. Во VI-1 и VI-2 по предметот географија, на 08.06. и 09.06.2023 се реализираше наставна содржина под наслов „Раси, култури и религии".Се дискутираше активно од страна на сите ученици, под водство на наставникот Огнен Симиќ. Притоа беа воочени постоечките расни, културни и религиски разлики помеѓу луѓето на територија на општината, државата и на глобално ниво. Како заклучок на сето изнесено беше воочено  дека разликите треба да се почитуваат за да не се доведеме во конфликтни ситуации.

### 14.3. Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител - ученик - наставник, со што во образовниот систем се започнува со продлабочување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи:** Реализација на хуманитарни акции и посети **Цел:** Да се зајакне врската помеѓу училиштето и родителите | учество во хуманитарна акција за собирање храна | ноември | наставници, ученици, родители | прехранбени продукти | активно учество на родителите во училишните активности |
| **Задачи:** Реализација на хуманитарни акции и посети **Цел:** Да се зајакне врската помеѓу училиштето и родителите | посета на детски фестивал | декември | наставници родители, ученици од одд.настава | / | активно учество на родителите во училишните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на Археолошки музеј | Меѓусебна соработка наставник-ученик-родител;<br>Да се запознаат со особеностите на различните стилови во античката уметност | Март | Предметни наставници од VI одд.<br>Марина Димоска<br>Јасмина Јездиќ<br>Валентина Николовска<br>ученици и родители | Разгледување на музејот | Финансирање од страна на родителите;<br><br>Организирање автобуски превоз; |

**14.4. Еразмус, еТвининг**

Преку оваа платформа наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, да дебатираат, иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуство, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари. Активностите на е-твининг поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ алатки достапни на е-твининг платформата и изработка на виртуелни проекти.

Поради активната вклученост на е-твининг платформата, училиштето е прогласено за еТвининг училиште (2020/21 година). Нашето училиште во тековната учебна година беше вклучено во два Еразмус проекти КА229 (Europe takes a breath, Let's Beat Bullying Together) и еден КА122 проект „Build a democratic and inclusive school environment”.

Преку оваа програма наставниците и учениците разменуваат искуства и знаења. Доживотното учење е еден од приоритетите на македонскиот образовен систем и Европската унија, која го поддржа нашиот Еразмус проект од програмата КА122. Директорката на училиштето и тројца наставници посетија обука за инклузивно образование во Рим-Италија. Обуката вклучуваше и наставници од други земји. Претставници од три држави од различни аспекти анализираа и изведуваа заклучоци за образованието и инклузијата во нивните училишта. Се разговараше за микроагресија и дали таа го допира личниот или групниот идентитет. Беа претставени нашите учебници и како е применета инклузијата во нив. Се разговараше за тоа како учебниците влијаат врз креирање на стереотипи и предрасуди кај учениците. Беа усвоени дигитални алатки кои придонесуваат за поголема инклузија на сите ученици во образованието.

Во периодот од 13 до 17.03.2023 година во Прага, Р.Чешка се реализираше семинар за ИНОВАТИВНИ ПРИСТАПИ КОН НАСТАВАТА. Семинарот (курсот) беше реализиран како практичен водич кој има за цел да помогне да се подобри квалитетот и ефективноста на образовниот процес во која било училница. Поттикнување на креативноста, организирање проекти, интегрирање на учениците со посебни потреби или користење ИКТ како алатка за развивање критичко размислување се примери на модулите на курсот, како и за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образовниот процес во секоја училница.

Учесници во програмата беа директорката на училиштето, предметен натставник по англиски јазик Јасмина Анакиоска, одделенски наставник Елена Антонова и педагогот на училиштето Емилија Георгиевска.

на капацитетите и развивање на вештините за употреба на ИКТ во наставата, Беа опфатени и повеќе тематски и интердисциплинарни содржини.

Во периодот од 14 до 19 Мај се реализираше обука на тема „ICT based classes“. На обуката присуствуваа учесници од нашата земја и од Португалија, Унгарија, Турција и Романија. На истата се дискутираше за клучните прашања и грижи при ефективно спроведување на ИКТ во постоечките училишта, предности и можни ризици, ефективни наставни стратегии кои поттикнуваат активно вклучување на сите ученици во продуктивното образовен процес. Совети за обезбедување практични упатства за употреба на низа ИКТ алатки за развивање на стратегии за подобрување на образовниот квалитет на училиштето. ИКТ алатки за создавање на средина во училница фокусирана на учениците и иновативни алатки за презентација.

Оваа година на 13, 14 и 15 октомври се одбележаа Денови на Еразмус+. Нашето училиште  со задоволство се вклучи во овој настан.

| **Заедно да го победиме врсничкото насилство / Let`s beat bullying together (LBBT) 2020-1-SE01-KA229-077802_2** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача и цел** | **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Очекувани резултати исходи и ефекти** | **Начин на реализација: со физичко присуство/ онлајн** | **Форма на реализација: групна/ индивидуална** |
| **Задача:** Споделување на искуство и планинарење **Цел:** планинарење и дружба да се делува во намалувањето на врсничкото насилство | Презнтација на училиштето и на образовниот систем на Шпанија Видео за културното наследство | 10.10-14.10.2022 | Психолог, директор и 4 ученици | Презентација/видео за културното наследство на нашата држава Изработки | Да се подигне свесноста за борбата против врсничкото насилство | Физичко присуство | Групна |
| **Задача:** Споделување на искуство и планинарење **Цел:** планинарење и дружба да се делува во намалувањето на врсничкото насилство | Презнтација на училиштето, образовниот систем на Македонија Изработка на бецови Изработка на е-книга | 06.03-10.03.2023 | Училиштето | Бецови Приказни Цртежи Видеа | Да се подигне свесноста за борбата против врсничкото насилство | Физичко присуство | Групна |
| **Задача:** Споделување на искуство и | Презнтација на училиштето, образовниот систем | 29.05-02.06.2023 | Двајца наставници и 4 ученици | Прзенатација на резултатите добиени од | Да се подигне свесноста за борбата против | Физичко присуство | Групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| планинарење<br>**Цел:** планинарење и дружба да се делува во намалувањето на врсничкото насилство | на Шведска<br>Прзентација на резултатите од прашалникот за врсничко насилство<br>Видео од најомилените слики од сите предходни патувања | | | прашалникот за врсничко насислтво | врсничкото насилство | | |
| **Да изградиме демократска и инклузивна училишна средина/Build a democratic and inclusive school environment 2022-1-MK01-KA122-SCH-OOOO70266** | | | | | | | |
| **Задача и цел** | **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Очекувани резултати исходи и ефекти** | **Начин на реализација: со физичко присуство** | **Форма на реализација: групна/ индивидуална** |
| **Задача:** Реализација на обука во соработка со INFOL-Италија<br>**Цел:** Подобрување на способностите за инклузивно образование | Обуки на тема инклузија во образованието и дигитални алатки за инклузивна училница | 12.12-16.12.2022 | INFOL-Италија<br>Директор и 3 наставници од ООУ „Кирил и Методиј“- Стајковци, Скопје | Лаптоп<br>Таблет<br>Online алатки<br>PPT презентации | - Развој на свеста за инклузивна училница<br>- Да се подобрат ИКТ вештини за дигитални алатки за инклузивна училница | физичко присуство | групна/ индивидуална |
| Подобрување на квалитетот и ефикасноста на образовниот процес во секоја училница | Обуки на тема „Иновативни пристапи во наставата“ | 13.03-17.03.2023 | Директор, педагог и 2 наставници од ООУ „Кирил и Методиј“- Стајковци, Скопје | PPT презентации | -Потикнување на креативноста, организирање проекти,<br>-Користење ИКТ како алатка за критичко размислување | физичко присуство | групна/ индивидуална |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача:** Реализација на обука во соработка со Анатолија едукација **Цел:** Подобрување на способностите за дигитална писменост, работа со нови иновативни ИКТ алатки | Обуки на тема „ICT based classes“ | 14.05-19.05.2023 | Анатолија едукација 4 наставници од ООУ „Кирил и Методиј“- Стајковци, Скопје | Лаптоп Таблет Online алатки PPT презентации | - Да се подобрат ИКТ вештини за дигитални алатки -Вклучување на ИКТ алатки за будење на креативноста и активното учење | физичко присуство | групна/ индивидуална |

## 15. Поддршка на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, како и извештај за успехот на учениците на крајотcovid на учебната година, споредбени резултати со претходните години. Училиштето прави споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик.

Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави врз основа на своите индивидуални планирања. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето.

За мотивација на учениците се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавност, на Facebook-страната на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината.

Училиштето води грижа и за професиналната ориентација на учениците, потоа за нивниот правилен психофизички развој и благосостојба, заштита од насилство и дискриминација, како и антикорупциска едукација. Голема поддршка на учениците од најмала возраст дава и Детската организација која со својата работа има за цел да се грижи за создавање услови за сигурно и весело и безбедно детство на учениците за време на престојот во училиште и надвор од него.

Успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик е прикажан во табелите од статистичкиот преглед. Од прво до трето одделение се вкупно 131 ученик кои согласно ЗОО се описно оценети. Постигањата кај сите ученици се индивидуално следени, при што се оценувани знаењата, вештините и различни видови компетенции и се класифицирани во три нивоа според стандардите за оценување.

Од вкупно 291 ученик од IV– IX одделение 205 се со одличен успех; 68 се со многу добар; 18 се со добар успех. Средниот успех на учениците од IV – IX одделение во училиштето во Стајковци е 4.69; во подрачното училиште во Страчинци е 4.45, а збирно во двете училишта е 4.64. Овој успех е објективен и се должи на реалните критериуми за следење на учениците преку формативно оценување и пореално изведување на сумативна оценка.
Во училиштето се посветува големо внимание и на редовноста на учениците на настава и дисциплината во училиштето. Во текот на учебната година направени се вкупно 1835 изостаноци од кои 1764 оправдани и 72 неоправдани. Оправданото отсуство се однесува на ученици кои биле болни, а најчеста причина за неоправданите изостаноци е доцнењето на часовите. Просек на изостаноци по ученик е 4,34 и тоа 4,18 оправдани и 0,17 неоправдани.
Од вкупно 422 ученици сите се со примерно поведение.

### 15.1. Професионална ориентација на учениците

Во оваа учебната година во ООУ Кирил и Методиј, Стајковци, Гази Баба – Скопје, со учениците беше спроведен прашалник за професионална ориентација кај учениците со цел давање помош и насочување на учениците кон идно занимање.
По спроведениот прашалник со учениците е обавен разговор за нивните интереси и способности за испитување на професионална ориентација. Исто така, разговарано е за мрежите на средни училишта на град Скопје и дадени им се насоки за понатамошно образование.
Училиштето во текот на учебната година контактираше со поголем број средни училишта, државни и приватни, се со цел запознавање на учениците со програмите и подрачјата на работа на средните училишта. Учениците беа носени и на саеми на средни училишта со цел добивање поголеми информации за училиштата со што би им се помогнало подобро да го направат изборот на средно училиште.
Училиштето соработува и со други институции како што е МОН, ДПИ со што испраќа извештај за запишани ученици во средни училишта.

**Годишен извештај за реализирани активности за професионална ориенатција на учениците за учебната 2022/2023 година**

| Конкретни цели | Конкретни активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекуванирезултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Известување за опфат и упис на учениците во средните училишта | Контактирање и дописи од средните училиштата | Септември | Психолог | Известувања од средни училишта | Информација за запишани ученици во средни училишта |
| Учениците да изградат реална слика за себе, свој систем на вредности и капацитети.Учениците да се оспособат за самопроценка. Саморазвој на учениците Унапредување на капацитетите за личен раст и развој | Работилници за самоспознавање | Во текот на учебната година | Психолог Одделенски раководители 8 и 9 одделение Наставници Граѓанско образование | Работни листи, PPT, PC, Интернет Прашалник Материјал за работилница Прирачник ОЖВ Прибор за работа Скали за самопроценка Материјал за работа | Учениците стануваат свесни за своите лични капацитети, јаки и слаби страни, способности, потенцијали, цели, ставови, верувања, вредности, вештини. Саморазвој на учениците – идентификување на своето јас и самозапознавање |
| Прашалник за професионлана ориентација наменет за ученици од IX одделение | Да се добијат сознанија за афинитетите на учениците за средно стручно или гимназиско образование | Март-април | Психолог | Прашалник за професионална ориентација | Откривање на афинитетите на учениците |
| Утврдување на општи и специфични способности и професионални интереси на учениците | Проценка на способности и професионални интереси на учениците од 9 | Март-мај | Психолог | Прашалници за способности и интереси | Учениците ги запознаваат свои способности, професионални интереси и лични карактеристики |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | одделение | | | Тест за интелигенција | |
| Спроведени разговори со ученици | Рефлексија и самооценување | Март-мај | Психолог, | Компјутер Конкурс за упис во средни училишта | Професионално советување и информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми |
| Презентирање, пропаганден материјал, организирање средби со преставници од приватни и државни средни училишта | Информирање за капацитетите на средните училишта и начинот на Пресметување бодови по баранитек критериуми | Април-мај | Психолог Класни раководители на IX одделение | Онлајн презентации и Рекламен материјал | Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми |
| Организирање на посети на средни училишта | Информирање за условите и уписната политика во средните училишта | Мај | Класнирако водителина IX одделение | Присуство на Отворени денови на средните училишта | Информирањезамрежанасредниучилишта, услови икритериуми |
| Водење евиденција и документација со анализа за избор на средни училишта | Да се опфатат сите ученици во средно задолжително образование | Јуни | Психолог | Запишување во средно училиште | Евиденција за избор на средни училишта |

**15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни

активности.

Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваа родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

Во текот на оваа учебна година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност).

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБАТА НА УЧЕНИЦИТЕ, ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ОД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

| Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Работилници за психосоцијална поддршка и унапредување на менатлното здравје кај децата | Септември - јануари | Психолог | Програма за психоцијална поддршка и унапредување на менталното здравје кај децата | Подигнување на свеста за менталното здравје |
| Етички вредности (чесност, вистинољубивост, праведност, лажење, уценување, подмитување, клеветење, неправда) | Септември 5.09 и 7.09.2022 | Одделенски наставници за V одделение и учениците | Приказни за однесување во кои има примери за лажење, клеветење, подмитување, неправда | Приказни за однесување во кои има примери за лажење, клеветење, подмитување, неправда |
| Меѓународниот ден на толеранцијата - Работилница - Борба против насилството | 16.11.2022 | Одделенски наставници за V одделение и учениците | Цртежи, пораки | Цртежи, пораки |
| Родови норми на однесување (емпатија, родови стереотипи и предрасуди, родово базирано | Октомври 2022 | Одделенски наставници за IV одделение и учениците | Текст со опис на ситуација со навредување ( за наставникот) | Препознава несоодветно однесување под групен притисок и непромислено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| насилство). | | | прашања за квиз Точно/неточно (за родови норми на однесување) | однесување кое води до непосакувани последици, |
| Меѓународниот ден на толеранцијата - Работилница - Борба против насилството | 16.11.2022 | Одделенски наставници за V одделение и учениците | Цртежи, пораки | Цртежи, пораки |
| Споделување за врските на поддршка, преку активно слушање и размена | 28.5 – 5.6.2023 | Психолог Сите паралелки од I до IX | Лист со кругови | Развивање на вештина за активно слушање кај учениците Поттикнување на групна работа Поттикнување на рефлексија за сопствени мрежи и врски на поддршка кај учениците Поттикнување емпатија и давање поддршка кај учениците Развивање на свесност за меѓусебно поврзување и на ниво на врсници во паралелката |

### 15.3. Антикорупциска едукација на учениците во училиштата

Од планираните содржини и активности поврзани со антикорупциска едукација на учениците, согласно Годишната програма за работа, во текот на учебната година реализирани се поголем број активности наведени во табелата во прилог.
Нашето училиште располага со еден обучен наставник за антикорупциска едукација на учениците.

**Годишен извештај за реализирани активности за антикорупциска едукација на учениците во училиштето за учебната 2022/2023 година**

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се проверат предзнаењата на учениците за корупција и анти корупција | Пополнување на анкета за пред знаењата на учениците за корупција и антикорупција | 03.10.2022 | Благица Србиновска Наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент | анкетен прашалник | Пополнети анкетни прашалници и анализа на прашалникот во проценти Идентификувани предзнаењата на учениците | Директор и стручна служба |
| Учениците да го воочат штетното влијание од корупцијата | Причини и последици од корупцијата преку работилница “Линија на животот“ | 18.10.2022 | Благица Србиновска Наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент | говорна активност дискусија кусо поучување | Воочување на штетното влијание на корупцијата од страна на учениците | Директор и стручна служба |
| Учениците да се запознаат со основните поими кои се однесуваат на корупцијата и антикорупцијата, да препознаваат ситуации во кои има коруптивни активности, механизми за борба против корупцијата. | Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | 08.11.2022 | Благица Србиновска Наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент | презентација поучување дискусија крстозбор | Запознаени ученици со основните поими за корупција и антикорупција; оспособени да препознаваат ситуации во кои има коруптивни активности и запознаени со механизмите за борба против корупцијата. | Директор и стручна служба |
| Преку конкретни ситуации да препознаваат коруптивни активности и како заклучок дека секој може да помогне во борбата против корупцијата ако реагира и пријави корупција без разлика од чија | Активна борба против корупцијата преку конкретни ситуации | 22.11.2022 | Благица Србиновска Наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент | говорна активност дискусија кусо поучување | Запознаени ученици преку конккретни ситуации со коруптивни активности; заклучоци дека секој може да помогне во борбата против корупцијата ако реагира и пријави корупција | Директор и стручна служба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| страна е направена. | | | | | | |
| Учениците да изработуваат постери на тема корупција и антикорупција, да пишуваат слогани и фрази, да изработуваат цртежи, пишуваат песни | Борба против корупцијата изработки | 12.12.2022 | Благица Србиновска Наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент, родители, наставници од двете училишта МИО активност | работилница | Изработени постери, слогани, фрази за корупцијата и антикорупцијата, песни и цртежи.<br><br>Подигната свесност кај учениците и родителите за постоењето на корупцијата во општествата | Директор и стручна служба |
| Учениците да изработат презентација на тема “Корупција и антикорупција“ | Изработка на презентација на тема корупција и антикорупција | 20.12.2022 | Благица Србиновска Наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент | презентација | Презентација на тема „Корупција и антикорупција“ од учениците, осамостоени и оспособени ученици за изработка на презентација за штетните влијанија за развојот на личноста и општеството. | Директор и стручна служба |
| Запознавање со корупцијата како негативна појава во општеството Наставна содржина „Чесност-најголема добродетел“ | Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | 26.12.2022 | Наставник по Етика и ученици од 7 одд. | Етички кодекс<br>објаснување на поими(говорна активност) дискусија искажување на сопствени сознанија ставови и мислења | Запознаени ученици со основните поими за корупцијата и антикорупцијата; препознаваат ситуации во кои има коруптивни активности и запознаени се со механизмите за борба против корупцијата. | Директор и стручна служба |
| Непотизам, мито и корупција (непотизам, подмитување, мито, корупција, | Разликува непотизам во дадени примери на ситуации. Наведува | 15-27.09.<br><br>2022 | Одделенски наставници за IV одделение и учениците | незавршена приказна (за наставникот) | Препознава непотизам, подмитување и корупција во дадени примери (ситуации) и наведува примери за | Директор и стручна служба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| антикорупција) | примери на ситуации од реалноста во кои е можно да се јави непотизам, мито, корупција, антикорупција | | | | нивно спречување, | |
| Етички вредности (чесност, лажење, вистинољубивост, праведност, уцена, подмитување, клевета, неправда | Дава примери за неетичко однесување | 05 и 07.09. 2022 | Одделенски наставници за V одделение и учениците | приказни за однесување во кои има примери за лажење, клевета,подмитување, неправда. | прави разлика меѓу лоши постапки, неправди и лаги наспроти морално/добро однесување | Директор и стручна служба |

**Годишен извештај за реализирање на планирани активности за спречување на насилството во училиштата во учебната 2022/2023 година**

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| да прифати дека емоциите е покорисно да се изразуваат отколку да се прикриваат во себе си | **Македонски јазик** Низ страниците на детски списанија - обработка на текст дискусија, игровни активности | Октомври | Одделенски наставници за II одделение и учениците | работен лист, детско списание, чек листа за следење на учениците | Учениците слободно да ги изразуваат своите емоции |
| да знае за определени видови насилничко однесување, да знае каде може да побара заштита од насилничко однесување кон него/неа. | Мојата земја Како против насилството | Февруари | Одделенски наставници за II одделение и учениците | работилница Метод на разговор Фронтална иразговор Работен лист ,црвен и зелен хартиен круг. | Знаат за насилството и ненасилството |
| да согледа дека решението на конфликтот треба да биде правично за двете страни | Работилница II-2.9 од Образование за животни вештини **„Пријателско и непријателско** | Ноември | Одделенски наставници за III одделение и учениците | -наст. листови -прирачник -кукли | -Прифати дека конфликтот е дел од секојдневниот живот - согледа дека однесувањето на секоја |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -да согледа дека нерешениот конфликт раѓа негативни чувства | **однесување,,** | | | | страна во конфликтот влијае врз конфликтната ситуација |
| да знае за определени видови насилничко однесување, да знае каде може да побара заштита од насилничко однесување кон него/неа. | **Насилство –СТОП! II – 8.1** стр.153 | Мај | Одделенски наставници за III одделение и учениците | работилница<br>Метод на разговор<br>Фронтална иразговор<br>Работен лист ,црвен и зелен хартиен круг. | знат за насилството и ненасилството |
| Родови норми на однесување (емпатија, родови стереотипи и предрасуди, родово базирано насилство). | -Ги објаснува негативните последици од родово базираното насилство (вербално и физичко).<br><br>-Го вреднува родовото базираното насилство како несоодветно. | октомври | Одделенски наставници за IV одделение и учениците | -текст со опис на ситуација со навредување (за наставникот)<br>-прашања за квиз Точно/неточно (за родови норми на однесување) | препознава несоодветно однесување под групен притисок и непромислено однесување кое води до непосакувани последици, |
| Етички вредности (чесност, вистинољубивост, праведност, лажење, уценување, подмитувањеклеветење неправда) | дава примери за неетичко однесување (лажење, уценување подмитување клеветење, неправда) | септември | Одделенски наставници за V одделение и учениците | приказни за однесување во кои има примери за лажење, клеветење, подмитување, неправда | прави разлика меѓу лоши постапки, неправди и лаги наспроти морално/добро однесување |
| да знае кои се последиците од грешките во преземените активности<br>да прифати и другите можат да згрешат.<br>да може да препознае грешка во однесувањето | Прифаќање и признавање грешки - **„Исмеаната Леа“** | Декември | Одделенски наставници за VI одделение и учениците | дискусија со цела група;<br><br>игриви активности;<br><br>Прирачник, Работен лист: 4 ситуации, 4 грешки | Знае кои се последиците од грешките во преземените активности прифаќа дека и другите можат да згрешат.<br>прифаќа дека простувањето е предуслов за сочувавање надобрите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на другите<br>да прифати дека простувањето е предуслов за сочувавање на добрите односи | | | | | односи |
| Да ги објасни причините за донесување на сопствените одлуки<br>Да осознава што значи и како изгледа одлука, правило, процедура | Донесување одлуки во група<br>**„Да се спротиставуваме или не? “** | Мај | Одделенски наставници за VIодделение и учениците | дискусија со цела група;<br><br>игриви активности;<br><br>Прирачник, | ги објаснува причините за донесување на сопствените одлуки осознава што значи и како изгледа одлука, правило, процедура |
| Учениците знаат дека треба меѓусебно да се почитуваат без разлика на етничката припадност | Читање и анализа на песната:,,Јазикот не е пречка за добро другарување’’ | Март | VI-3 | Хамер,листови во боја, боички,молив | Учениците знаат да другаруваат без разлика на етничката припадност,со цел да ги надминат етничките разлики меѓу децата. |
| да се запознае со правилата на преговарање и решавање на конфликтот заедно со другата страна<br>да се оспособи да гледа на конфликтот од позиција на другата страна | Јас и ти – интерперсонални односи<br>Преземање одговорност за постапките<br>**II – 7.4.„Бура на идеи за разрешување конфликти“** стр. 102 | Септември | Одделенски наставници за VII одделение и учениците | -демонстративен метод<br>-презентација<br>-монолошки<br>-дијалошки<br>-дискусија,дискусија со цела група;<br><br>-игриви активности | Умеат да се справат со насилничко однесување и да разрешат конфликти на прифатлив и соодветен начин<br>Умее правилно да ја согледа ситуацијата и да се справи со сакани и несакани начини на однесување на луѓето во повеќе различни средини.<br>Умее да прости и да даде нова шанса кај личностите кои што грешат |
| да ги осознае демократските процедури<br>да се оспособи | Јас и другите<br>Општествени односи<br>Донесување одлуки во група и разбирање | Декември | Одделенски наставници за VII одделение и учениците | демонстративен метод<br>-презентација<br>-монолошки<br>-дијалошки | Умеат да се справат со насилничко однесување и да разрешат конфликти на прифатлив и соодветен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| самостојно да пронајде информации кои се потребни за донесување на одлука | на демократијата **III -5.2 „Виновни или не?“** | | | -дискусијадискусија со цела група;<br>-игриви активности | начин.<br>Умее правилно да ја согледа ситуацијата и да се справи со сакани и несакани начини на однесување на луѓето во повеќе различни средини |
| Учениците треба да другаруваат меѓусебе без разлика на етничка припадност, да комуницираат ,да се почитуваат. | Обработка на текстот:,,Другарство’’ | Септември | VII-3 | Хамер,боички,молив, листови во боја | Учениците да знаат да покажат почит кон децата без разлика на нивната етничка припадност. |
| Учениците знаат дека треба меѓусебно да се почитуваат без разлика на етничката припадност | Добро за сите нас | Септе мври | VII-3 | Хамер,листови во боја, боички,молив | Учениците знаат да другаруваат без разлика на етничката припадност,со цел да ги надминат етничките разлики меѓу децата. |
| да ги согледа негативните последици од негирањето на ситуации кога некој друг или нешто е жртва на насилничко однесување | Јас и ти – интерперсонални односи<br>Справување со насилничко однесување<br>**II -6.2 „Ако не реагирам”** | Ноември | Одделенски наставници за VIIIодделение и учениците | демонстративен метод<br>-презентација<br>-монолошки<br>-дијалошки<br>-дискусија | умее да се справи со насилничко однесување и да разрешат конфликти на прифатлив и соодветен начин |
| Да знае за опасноста од конфликтите по себе и околината | Работилница<br>**“Бура на идеи за разрешување на конфликти“** | Февруари | Одделенски наставници за VIIIодделение и учениците | работен лист за учениците: Дефиниции за конфликти/прашања, дискусии | знае за опасноста од конфликтите по себе и околината. |
| Да знае како треба да се реагирана насилничко однесување за да се заштити жртвата<br>Да умее да реагирана насилничко однесување | Справувањесонасилничкооднесување<br>**„Реакции на омаловажување“** | Октомври | Одделенски наставници за IXодделение и учениците | дискусија со цела група<br><br>игриви активности; | Знае како треба да се реагира на насилничко однесување за да се заштити жртвата,умее да реагира на насилничко однесување упатено кон |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| упатено кон него /неа | | | | | него/неа |
| Да знае како треба да се реагира на насилничко однесување за да се заштити жртвата, да знае како треба да се реагира за да се спречи насилничко однесување. | Работилница II-6.3 **“Пасивно,агреесивно или манипулативно“** | Март | Одделенски наставници за IXодделение и учениците | работен лист за учениците: Видови однесувања, работен лист за учениците: Видови однесувања, ситуации. | ги согледува негативните последици од нереагирањето во ситуации кога некој друг или нешто друго е жртва на насилничко однесување. |
| Учениците треба да другаруваат меѓусебе без разлика на етничка припадност, да комуницираат ,да се почитуваат. | Денот на жената | Март | IX-3 | Хамер,боички,молив, листови во боја | Да знаат ги применат стекнатите знаења со помош на творење,презентирање, усно изразување |
| да именува и идентификува видови насилство да дискутира што да направи во ситуации на насилство | Текст - Bullying 9 одд | Март | Предметен наставник Биљана Арсова | флеш карти, наставен лист, ЛЦД проектор, | Ги осознава видовите насилства, дискутира какода одговорат на насилството |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознае со различните содржини од секојдневниот живот на Хелените и на Римјаните како основаза развој на општествениот живот во Европа, да ги знае различните видови реакции во конфликтна ситуација,и да ги знае изворите на конфликтите. | Индивидуална работа, работа во паровии групи,дискусија, истражување и презентација,актуелизирање, демонстрација, - техника пауза за разјаснување и венов дијаграм- учениците анализираат ситуации на омаловажување , осмислуваат постапки со кои би реагирале и се оспособуваат правилно да реагираат на насилно однесување | Април | Предметен наставник по Класична култура во европската цивилизација<br><br>Валентина Николовска<br><br>Ученици од VI одд | учебник, наставни листи,прашалник зареализираната активност .,работни листи, -е-содржини од блогот(mythosmk.blogspot.com;)и Либер Латинус, наставни ливчиња со техники | Учениците:<br><br>-ги имаат откриено негативните последици од исмејувањето врз самопочитувањето и самодовербата на личноста<br><br>-го имаат воочено значењето и потребата од реагирање при насилничко однесување<br><br>-се оспособени правилно да реагираат на омаловажувања со што ќе го оневозможат насилничкото однесување |
| Учтиво изразување - 1 одделение | Обработка на лексички единици за учтиво изразување | Ноември | Билјана Оливероска-Трајковска, наставник по англиски јазик | постери Флеш карти, | Учениците ги препознаваат, разбираат и правилно изговараат лексичките единици за учтиво изразување |
| Обработка на лексички единици за облека и опишување на облеката – 2 одделение | Презентација – облека и опишување на облеката | Декември | Билјана Оливероска-Трајковска, наставник по англиски јазик | Флеш карти, постери и сликички со облека | Учениците ги препознаваат, разбираат, правилно изговараат и применуваат лексичките единици за облека и ја опишуваат облеката |
| Развивање и збогатување на речникот и изразот, вештина на читање поезија, низ уметнички израз на | Литературно читање на поезија од детскиот фестивал „Детски лирски треперања“ на тема | Декември | 7-2одд.<br>7-1одд.<br>библиотекар Вера Стојаноска | Стихозбирки од детскиот фестивал Детски лирски треперења | Богатство на речник, изразност во усното изразување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| алтруизам | “Добрина да посадиме, љубов и мир да никне“. | | | | |
| Развивање и збогатување на речникот и изразот, читање различни литературни родови и видови | Предлог книги за читање, драмски текстови, раскази, поезија поврзана со ненасилство на тема: Со убаво се решаваат сите проблеми. | Март | Вера Стојаноска библиотекар3-1 и 3-2 одд. | Книги,ИКТ технологија | Богатство на речник, изразност во усното изразување |
| Култура на работата – училишна работилница Техничко образование | Правилно да го организира работното место, како и да ги применува културните навики при работењето | Октомври | Предметен наставник по техничко образование Славица Анчевска и учениците од 5 одд. | Работа со сите ученици -дискусија -бура на идеи | Го организирауредно работното место во училишната работилница; ги применуваипочитува културните навики во работењето |
| Учениците да препознаат и спречат насилничко однесување, Меѓусебна толеранција, прифаќање и почитување | Европа-ЕУ -Јазична и верска разноликост на населението во Европа | Ноември | Предметен наставник по географија | Компјутер проектор | Да ги осознаат заложбите на ЕУ за обезбедување на мир,просперитет и стабилност,да научат дека се залага за прашања од посебен интерес |
| Учениците треба да другаруваат меѓусебе без разлика на етничка | Обработка на текстот:,,Другарство’’ | Октомври | Предметен наставник по македонски | Интернет | Учениците да знаат да покажат почит кон децата без разлика на |
| припадност, да комуницираа, да се почитуваат. | | | јазик Анета Кузмановска и ученици од V-3 одд. | | нивната етничка припадност. |
| Учениците да препознаат и спречат насилничко однесување меѓусебна толеранцијаприфаќање и | Структура на населението | Февруари | Огнен Симиќ Наставник по Географија и ученици од 7 | Карта на Македонија,нема карта,фотографии,компјутер,интернет | Знае поимот Структура на населението,објаснува за полова,старосна и етничка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| почитување | | | одд. | | структура |
| Еразмус Проект Да го победиме врсничкото насилство заедно | Мобилност Во Шпанија, Македонија и Шведска | Октомври Март Мај | Директор, психолог, наставници и ученици | презентација, изработки | Да се подигне свесноста за борбата против врсничкото насилство |

### 15.4. Извештај од работата на Детската организација

Во текот на учебната 2022/2023 година, Детската организација се грижеше за создавање услови за сигурно и весело детство на ученици за време на престојот во училиште и надвор од него. Детската организација редовно соработуваше до Одделенскиот актив и се вклучуваше во сите планирани активности кои се организираат за одбележување важни датуми, ангажирање на учениците во слободното време, поттикнување на другарството, соработката и почит. На почетокот на учебната година, успешно беше организирано зачленувањето на првачињата во Детската организација преку читање на заклетвата и кратка приредба подготвена од учениците од второ до петто одделение.
Работата на Детската организација се реализираше во соработка со Сојузот за грижи и воспитување на деца како и со наставниците од одделенска настава, преку кој се реализираше и посетата на детскиот фестивал Златно Славејче.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците согласно ЗОО. Интерното се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди.

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот па се до третиот период.
По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).
План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во дневниците.

Во текот на наставно – воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата. Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето.

Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета на разни семинари, обуки за Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците, а на ниво на училиште беа донесени потребни акти – Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште и поставени стандарди и критериуми по секој предмет. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано според три периоди:
Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото полугодие учениците од вториот период се оценети со описни оценки, а на крајот на годината со бројчани оценки. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценети само со бројчани оценки.
Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот, стручната служба и училишниот тим за оценување. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено програма за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критреириумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди (тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.).
Педагогот изготвува извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината, согласно податоци добиени од одделенските раководители како и за по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик. Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи

и согласно на тоа се дава поддршка за подобрување на резултатите.
Оваа учебна година наставата во прво, второ, четврто и петто одделение се реализира според новата Концепција за основно образование, а вреднувањето на постигањата на учениците се реализира согласно Националните стандарди за основно образование.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручната служба во текот на учебната година извршија увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Посебен акцент оваа учебна година беше ставен во следењето на реализирање на наставата и работата во прво и четврто одделение. Исто така континуирано вршат увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето врши самоевалуација за реализација на програмите согласно членот 146 од ЗОО на крајот на секоја втора наставна година. Самоевалуацијата која опфаќа седум области ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор. Самоевалуацијата за учебната 2020/21 и 2021/22 год се спроведуваше во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).
Во текот на претходниот период се организираше конститутивен состанок за отпочнување на Самоевалуацијата за наредните две учебни години 2022/23 и 2023/24 година, беше направена структура на тимови поделени во седум подрачја и е започната подготвителната фаза каде се врши определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација, се прибираат и групираат податоците за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на

просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

Согласно Законот за заштита и здравје при работа направени се проценки за безбедноста на работните места на вработените во училиштето односно ризикот како и безбедносните мерки за елеминирање на штетите и опасните последици. За таа потреба и цел вработените имаат уверение и посетуваа соодветна обука.

За поголема безбедност, училиштето е обезбедено со видео надзор и ангажирани се чувари на двете училишни згради.

**Реализирани активности „Заштита и спасување од природни катастрофи“ во 2022/23год.**

| Задача | Цели | Активност | Временска рамка | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| -Евакуација при дојава на бомба | Да умеат да се снајдат во ситуации кои го загрозуваат животот и безбедноста | Безбедно напуштање на учениците, наставниците и другите вработени на училиштето. | 16.12. 2022<br>26.12.2022<br>27.12.2022<br>22.02.2023<br>01.03.2023 | Црвен крст Тим на црвениот крст на училиштето Тим за евакуација | Училишен план за евакуација -правила на однесување при евакуација, подршка од соодветни институции | Совладани правилата на однесување при евакуација од учениците,наставниците и останатите вработени | Сите предметни наставници и сите вработени |

## 18. Грижа за здравјето на учениците

Училиштето води грижа за здравјето на своите ученици. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално-преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во наставата во текот на учебната година, преку предавања, презентации, работилници, брошури и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица (соработка со Црвен крст).

## Годишен извештај за работата на Подмладок на Црвен крст за учебната 2022/2023 година

Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси, преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и поддржуваат нивните програмски активности. Цели кои се реализираат се:

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.
- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| да се запознае со Програмата за работа на Црвениот крст | Конституирање и избор на раководство на Подмладокот на Црвениот крст | 12.09.2022 | одговорен наставник, ученици | компјутер, интерактивна табла, хартија, пенкало | знае за Програмата за работа на Црвениот крст | групна |
| да се собере годишна членарина | Собирање на годишна членарина | 30.09.2022 | одговорен наставник, наставници | хартија, пенкало | собрана годишна членарина | индивидуална |
| да се развие хуман однос | Недела на промоција на хумани вредности | 04-07.10.2022 | одговорен наставник, ученици | компјутер, интерактивна табла | развиен хуман однос | индивидуална |
| да знае за пубертет и негови нарушувања | Едукативно предавање на тема „Пубертет и негови нарушувања" | 06.10.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | компјутер | знае за пубертет и негови нарушувања | групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| да се развие хуманоста | Детска недела | 04.10-08.10. 2022 | наставници, ученици | пенкало, хартија | развиена хуманост | групна |
| да се запознаат со работата на Црвениот крст | Прием на првачиња во подмладокот на Црвениот Крст | 05.10.2022 | наставници, ученици | хартија, пенкало | знае за работата на Црвениот крст | групна |
| да се обезбедат финансиски средства, облека, храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба | Спроведување на хумана солидарна собирна акција по повод „Денот на гладта” | 14-21.10. 2022 | наставници, ученици, Ученичка заедница, родители | хартија, пенкало | обезбедени финансиски средства за храна и облека за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба | индивидуална |
| да ги знае болестите на зависност | Месец на борба против болести на зависност | 17.11.2022 | наставници, педагог, психолог | компјутер, интерактивна табла | знае за болести на зависност | групна |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Обука Прва помош | 05.12.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Обука Прва помош | 18.10.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Обука Прва помош | 20.10.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да знае за туберкулоза | Превенција од туберкулоза | 24.03.2023 | Црвен Крст- Гази Баба | компјутер | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Општински натпревар по Прва помош | 13.05.2023 | одговорен наставник, ученици | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |

## 18.1. Хигиена во училиштето

Наставниците редовно ги информираат родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите/стандардите на наставниот план и програми. Со сите ученици со посебни образовни потреби се работи според ИОП и за нив постои инклузивен тим на ученикот. Училиштето нуди можност за избор од повеќе изборни предмети. Се реализираат слободни ученички активности според интересите и желбите на учениците од разни области. Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа. Се организираат воннаставни активности со учество на голем број ученици
***Работа со наставници - педагошки увид во наставата се остварува*** преку непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата, непосредна стручна помош на наставник почетник (реализација на обуки), следење и вреднување на работата, следање на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).
Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди.
***Работа со стручни органи и тимови во училиштето се реализираше преку*** запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Формирање училишен инклузивен тим, за период од три години кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште.
Формирање инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма
Формирање тим за училишна интеграција за период од три години, составен од седум члена **и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител** од редот на стручните соработници и наставници; Помош во планирање и реализација на задачите на Одделенските совети; Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи; Помош, следење на реализација на часот на одделенскиот раководител; Запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето; Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците; Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци; Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.
***Работата со учениците и ученичките организации се остваруваше преку индивидуален контакт;*** Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент; Помош во конструирање и работа на ученичките организации; Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици; Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување; Работа со ученици кои

покажуваат слаби резултати; Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците; Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето; Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината) преку ученички иницијативи.
За оваа цел директорот на училиштето направи интервју со ученикот правобранител, претседателот на ученичкиот парламент и членовите на парламентот и тие го изјавија следново:
Им се допаѓаат:

- Можностите за вклучување во различни проекти.
- Мотивацијата од училиштето за учество во натпревари.
- Правење проекти со ученици од различна етничка и национална припадност од нашата и од другите европски држави.
- Можноста учениците да го кажат своето мислење и дека нивниот глас се слуша во училиштето.
- Учеството на состаноците на училишен одбор, наставнички совет и совет на родители.
- Вклученоста во хуманитарни акции.
- Им се допаѓа опременоста на училниците со смарт табли и ЛЦД проектори

***Аналитичко-студиска работа и осовременување на воспитно - образовната работа подразбира*** изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на училиштето; изготвување информации: за работа на ученичките организации за одржување натпревари на учениците за соработка со др. воспит.образ.институции; упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатите области.
***Соработката со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од Училиштето*** подразбира учество во работата на стручните соработници во училиштето при програмирање, следење и контрола над работата; Соработка со МОН, Биро за развој на образование и локалната заедница; Соработка со стручни организации, друштва и институции; Обезбедување на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатате од тоа усовршување.
***Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар подразбира*** грижа за обезбедување на училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата; упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување надвор од училиштето (повратно информирање за ефектите од советувањето); Запознавање со општата програмска структура, посебно со измените и дополнувањето на наставните планови и програми; Непосредна стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: наставник-почетник, новодојден - наставник во училиштето; Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување; Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето. Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Редовно се врши дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначено лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.

Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

***Соработка со родителите на учениците*** подразбира непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето; Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа на Советот на родители; Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите; Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите; Организирање и координирање на активности за информирање на родителите; Непосредно учество во педагошкото образование на родителите; Индивидуални и групни средби и разговори со родителите; Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности; Редовно информирање на родителите од животот и работата со училиштето, непосредно и посредно преку одделенските раководители; Навремено запознавање на родителите со редот во училиштето. Со заеднички активности, тимска работа, професионалност и одговорност и со вклучување на родителите, создаваме училиште со современ образовен процес кое нуди поддршка на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, здравјето, сигурноста и безбедноста и услови за квалитетна, ефикасна и ефективна настава преку која се изградуваат личности со развиена свест и способности за колективен и индивидуален развој и оспособени за живеење во мултиетничко општество. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.
Учеството на родителите во училиштето се планира и се одвива на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори и родителски средби. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во Годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваа на огласна табла поставена во холот на двете училишни згради и на влезните врати, како и на веб страната на училиштето.

***Други работни задачи на директорот*** постојано обезбедување материјално-технички услови за работа; следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето; грижа за хигиената во училиштето; следење на законските прописи; работа со управните органи; подготовка и учество во седниците на Училишниот одбор и неговите комисии и тела; подобрување на климата во училиштето; предлага Комисија за самоевалуација; подготвува Развојна програма.

Во училиштето се организираа предавања за здравствена заштита и превенција, обуки за заштита при работа, показни вежби во двете училишни згради.
Минатата година реализирани се шест мобилности од Еразмус + проектите: Да го победиме заедно врсничкото насилство и Да изградиме демократска и инклузивна училишна клима со физичко присуство (Шпанија, Шведска, Италија и Чешка), а во една мобилност ние бевме домаќини на учесници од Турција, Шпанија, Италија и Шведска.
Во текот на учебната 2022/2023 година реализирани се повеќе јавни набавки на нагледни дидактички материјали и извршени се реконструкции во двете училишни згради:

- Направена е целосна реконструкција на училишниот двор во подрачното училиште во Страчинци, со доградба на потпорен ѕид, поплочување со бекатон и естетско и функционално уредување со летниковци, кои ќе овозможат успешно реализирање на наставни и воннаставни активности со учениците во отворена училница;
- Набавени се нагледни средства и принтери за успешна реализација на новите наставни програми и копир А3 копир за печатење и копирање на електронските дневници;
- Опремени се двете училишни згради со шкафови за чување на нагледните средства;
- Целосно е опремен кабинетот по хемија и биологија, со спроведена инсталација на вода и одвод;
- Набавени се нагледни средства по природна група предмети;
- Набавена е комплетна опрема за опремување на фискултурната сала во централното училиште која е во својата втора фаза од изградбата;
- Адаптиран е задниот влез на училиштето заради безбедност на учениците и вработените со поплочување околу училишната зграда и на предниот влез;
- Направено е уредување на внатрешно игралиште во просторот меѓу училишната зграда и фискултурната сала, во кој се интервенира со нова врата, скали, вештачка трева.
- Направени се табли за означување на двете училишни згради;
- Направена е нова голема влезна врата во централното училиште за овозможување топол влез на нашите ученици во фискултурната сала;
- Набавени се таблети за учениците и доопремени се двете училишни библиотеки.
- Доизградена, опремување и пуштање во употреба на фискултурната сала во централното училиште во Стајковци;
- Реконструиран е училишниот двор во централното училиште Стајковци.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките. Во библиотеката

се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на скоро сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни тенденции. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.
Училиштето реализира законски пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
Во својата работа, во време на здравствена и економска криза, директорот успешно ги менаџираше расположивите средства, со навремена набавка на ресурси за затоплување во двете училишни згради и редовно подмирување на сите давачки.

## Годишен извештај за работата на педагогот на училиштето за учебната 2022/2023 година

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

| Содржина на работата | Време |
|---|---|
| ***1. Планирање, програмирање, организација на воспитно-образовната работа*** | ***VIII-VII*** |
| ***1.1 Изработка на Годишна програма за работа на училиштето*** | ***VIII*** |
| • *П*ланирање на приоритети за учебната година<br>• Планирање на ВОР<br>• Усогласување на Годишната програма<br>• Планирање на проекти | |
| ***1.2 Координира активности при изработка на програми за различни сегменти од работата на училиштето*** | ***VIII-VII*** |
| • Давање насоки-упатства на носителите на активности за изработка на програмите<br>• Насочување на носителите на активности за изработка на програмите кон приоритетите за учебната година<br>• Следи реализација на активностите | |

| | |
|---|---|
| ***1.3 Унапредување на оценувањето*** | ***VIII-VII*** |
| • Планирање на приоритети и инструменти за вреднување<br>• Следење на реализација на планираното<br>• Увиди во инструменти за оценување на наставниците<br>• Увиди во педагошки картони и наставнички портфолија и анализа | |
| ***1.4 Професионален развој на наставниците*** | ***VIII-VII*** |
| • Водење на евиденција за посетени семинари од наставниците<br>• Внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие<br>• Планирање на приоритени обуки | |
| ***1.5 Самоевалуација и развојно планирање на училиштето*** | ***IX-X*** |
| • Учествува во изготвување на анкетни прашалници и упатства за самоевалуација на ООУ | |
| ***2. Педагошко-инструктивна работа со наставниците*** | ***IX-VI*** |
| ***2.1 Помага во дидактичко-методското конципирање на наставата-избор на стратегии на поучување, форми и методи*** | ***IX-VI*** |
| • Помага на наставниците во унапредување на планирањата<br>• Помага во иновирање на наставата,индивидуализирана настава<br>• Со наставниците учествува во подигање на квалитетот на ученичките знаења и вештини–решавање на проблеми, примена во вежби, анализи, синтеза, евалуација<br>• Помага на наставниците во примена на современите дидактичко-методски иновации<br>• соработка во организација и реализација на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности<br>• Анкети и нивна обработка<br>• Работи со наставници-приправници<br>• водење на Професионално портфолио,ПК,ПД<br>-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата;<br>-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците;<br>-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик, ученик-наставник-родител;<br>-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања;<br>**-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички** активности, како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење;<br>-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки, консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови;<br>-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници; | **IX-VI** |

| | |
|---|---|
| -Советодавно-консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација;<br>-Стручна помош при изготвување на програми за воннаставни активности и учество во организација и реализација на дел од воннаставните активности. | |
| ***2.2 Унапредување на наставата со новата концепција*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Следи реализација на настава<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците | |
| ***2.3 Примена на ИКТ во наставата*** | |
| • Следи квалитет на планирања и реализација на настава | |
| ***2.4 Унапредување на оценувањето*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците<br>• Следи квалитет на оценувањето<br>• Помага во водење на Професионално портфолио<br>• Води педагошки картон и Професионално досие за наставникот | |
| ***2.5 Соработува со одделенските раководители*** | |
| • Помош во изработката на планирања за часот на одделенскиот раководител-образование за животни вештини<br>• Помага во решавање на проблеми на паралелката | |
| ***2.6 Реализација на проекти во кои учествува училиштето*** | |
| • Изработува инструменти за реализација на Самоевалуација<br>• Спроведува самоевалуација по подрачја<br>• Формулирање на нацрт заклучоци и Самоевалуација<br>• Анализира постигнатост на цели од програма за развој на училиштето<br>• Следење на активности<br>• Прибирање и документирање на изработки<br>• Учествува во планирање и реализација на активности за „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“<br>• Координира соработка помеѓу У-Н-Р<br>• Води активности за демократска партиципација на Ученичкиот Парламент<br>• Прибира документи и води евиденција за реализирани активности | |
| ***2.7 Испитување на образовните потреби на учениците, родителите, ученички парламент, Советот на родители и локалната заедница*** | |
| • Соработува со одд. раковод на запознавање со способностите на учениците, семејна состојба и ученичкиот парламент<br>• Помага во решавање на образовни, воспитни и развојни проблеми на учениците | |

| ***3. Работа со ученици*** | ***IX-VI*** |
|---|---|
| • Учество во испитувањето на зрелоста на учениците за поаѓање во прво одделение<br>• Формира паралелки во прво одделение<br>• Советување на ученици<br>-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста;<br>-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост;<br>-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности;<br>-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим;<br>-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања;<br>-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница;<br>-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;<br>-Следење на протоколите за заштита од Корона –вирусот. | **V, VI, VIII** |
| Прием и распоредување на:<br>• Новозапишани ученици<br>• Повторувачи и неоценети ученици<br>• Групи за изборни предмети- анкета на У-Р, обработка, формирање групи | **IX- V** |
| ***3.1 Следење на развојот на учениците*** | |
| • Следење на социјализацијата и адаптацијата на учениците<br>• На првачињата и ново примени ученици | |
| ***3.2 Советодавна работа при разрешување на интелектуални, емоционални, семејни проблеми*** | |
| • Индивидуална советодавно-консултативна работа со учениците<br>• Кои имаат неоправдани изостаноци<br>• Кои покажуваат асоцијално или несоодветно однесување<br>• Кои имаат здравствени или развојни потешкотии | |
| ***3.3 Работа со Ученички парламент и одделенските заедници*** | |
| ***3.4 Професионална ориентација*** | |
| • Планирање на активности<br>• Презентација на Конкурси за упис во средни училишта | **XI,**<br>**IV, V** |
| ***3.5 Работа со ученици со развојни потреби*** | |
| • Ученици со потешкотии во учењето;<br>• Изработка на програма за работа со ученици со потешкотии во учењето | **X-V** |

| | |
|---|---|
| • Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето<br>• Учествува во Училишен инклузивен тим<br>• Изработка на програма за работа со надарени ученици<br>• Евидентирање на надарени ученици<br>• Учествува во училишен тим за работа со надарени ученици | |
| ***3.6 Развојно следење на напредокот на учениците*** | |
| • Изготвување на инструменти за следење и вреднување<br>• Креирање, примена и интерпретација на аспекти на воспитно -образовната работа<br>• Го следи напредокот на учениците со кои е вршена советодавно- консултативна работа<br>• Следи ре-вакцинации на учениците<br>• Следи запишување на учениците во прво одделение<br>• Следи и насочува ученици според интерсите за изборни предмети | |
| ***4. Работа со родители*** | ***IX-VI*** |
| • Поддршка на родителите при вклучување во работата на училиштето<br>• Педагошко-психолошка поддршка на родителите<br>• Советување на родители<br>• Едукација на родителите за меѓуетнички интеграции<br>• Едукација на родителите со развојните карактеристики на детето<br>• Вклучување на родителите во тековните проекти<br>• Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето, проблеми со редовноста и дисциплината;<br>• Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби;<br>• Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми. | |
| ***5. Аналитичко-истражувачка работа*** | ***IX-VI*** |
| • Самоевалуација<br>• Анализа на запишувањето во прво одделение<br>• Анализа на квалитетот на оценувањето<br>• Анализа на изостаноци<br>• Анализа на успехот и поведението на учениците по квалификациони периоди<br>• Презентација на истражувања пред стручни органи и тела<br>-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот во првото тромесечие и полугодие;<br>-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава;<br>-Изготвување на тромесечниот и полугодишен извештај за работата на училиштето. | |
| ***6. Работа на стручни органи и тела во училиштето*** | ***IX-VI*** |

| | |
|---|---|
| • Изработка на насоки, упатства, презентации,протоколи<br>• Известување за резултатите од анализи,прегледи, истражувања<br>• Работа и координација на училишни тимови<br>- тим за самоевалуација<br>- тим за унапредување на оценувањето<br>- тим за професионален развој<br>• Учество во работата на одделенските совети<br>• Учество во работата на Наставничкиот совет<br>• Помош и учество во работата на стручните активи<br>• Помош и учество во работата на на Советот на родители<br>• Конципирање и изработка на правилници за прашања од воспитно-образовната работа<br>-Следење на работата од проектите<br>-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар;<br>-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови);<br>-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците;<br>-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава;<br>-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности;<br>-Следење на постапките на оценување на учениците;<br>-Следење на успехот и редовноста на учениците;<br>-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;<br>-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;<br>-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;<br>-Работа на превенција на појави на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација. | |
| ***7.Соработка со стручни институции*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со општествени,стручни институции, невладини организации<br>• Соработка со институции од локалната заедница, основни училишта<br>• Соработка со здравствени установи и центри, основни и средни училишта<br>• Работи на сопствено стручно усовршување<br>• Работа во стручни здруженија, организации, активи на педагози и психолози<br>-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно - образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа);<br>-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;<br>-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. | |
| ***8. Обработка на материјали и прегледи*** | ***IX-VI*** |

| | |
|---|---|
| • Пополнување статистички прегледи за почеток-крај на учебната год.<br>• Пополнување прегледи од општина, МОН, ДПИ,БРО, др<br>• Пополнување податоци за реализирани часови<br>• Пополнување статистички материјали за институции | |
| ***9. Водење на педагошка евиденција и документација*** | ***IX-VI*** |
| • Водење на евиденција и документација за сопствената работа:<br>а. дневник за работа,<br>б.досиеја за работа со ученици,<br>в. документација на истражувачката работа,<br>г. прегледи, извештаи<br>д. Анкети<br>-Изготвена годишна програма за сопствената работа;<br>-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини;<br>-Водење хронолошки дневник за работа;<br>-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница;<br>-Водење педагошки картон за работата на наставниците;<br>-Водење професионално досие на наставниците;<br>-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа. | |
| ***10. Сопствено стручно усовршување*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ на РСМ<br>• Следење стручна литература и периодика<br>• Учество на Активи на педагози<br>• Соработка со институции од интерес за воспитно- образовната работа<br>• Центар за социјални работи<br>• Завод за ментално здравје на деца и младинци<br>• МВР-малолетничка деликвенција<br>• Здравствен дом<br>-Изготвување личен план за професионален развој;<br>-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје „Современ педагог” за изготвување на протокол за работа на педагозите за време на здравствената криза предизвикана од Корона вирусот;<br>-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература;<br>-Учество на онлај работилници;<br>-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;<br>-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците; | |

| | |
|---|---|
| -Помош и поддршка на наставниците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес. | |
| ***11. Изработка на стручни материјали и/или презентации*** | ***IX-VI*** |
| ***12. Подготовки за работа*** | ***IX-VI*** |
| • Подготовка на материјали, инструменти, презентации и работилници. | |

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Начин на реализација: Со физичко присуство/ онлајн | Форма на реализација: Групна/ Индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишна програма за работа | Изготвување на годишна програма за работа на педагог | септември | Педагог | БРО Годишна програма на училиштето | Професионален развој | физичко присуство | индивидуална |
| Протокол за работа | Изготвување на протокол за работа | октомври | Педагог | Здружение на педагози | Професионален развој | физичко присуство | групна |
| Водење евиденција | Изготвување на ПК и ПД | октомври | Педагог Наставници | Прибирање податоци | Водење евиденција | физичко присуство | групна |
| Водење евиденција | Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето | ноември јануари април јуни | Педагог Наставници | Е-дневник | Водење евиденција | онлајн | индивидуална |
| Следење на вос.-обра.работа на учениците | Следење на успехот и редовноста на учениците | ноември јануари април јуни | Педагог Наставници | Пишани и усни информации | Следење на успехот и поведението на учениците | физичко присуство онлај | индивидуална |
| Следење на вос.-образовната работа на учениците | Изготвување на тромесечни извештаи | ноември април | Стручна служба | Податоци | Следење на успехот и поведението на учениците | физичко присуство | групна |
| Изготвување на месечни планирања; Унапредување на стручната дејност | Изготвување на месечни планирања | септември - мај | Педагог | Податоци | Унапредување на работата | физичко присуство | индивидуално |
| Реализација на новата концепција | Реализирање на анкета | февруари | Педагог Наставници БРО | Анкета | Имплементација на новата концепција | онлајн | индивидуална |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на наставата | Посета на часови | декември март април | Педагог | ИКТ, Чек листи | Следење на успехот | физичко присуство | групна |
| Усвојување на читање | Проверка на читањето во второ одд | април | Педагог | Чек листа Текст | Читање со разбирање | физичко присуство | индивидуална |
| ЗОО | Упис на првачиња | мај | Педагог | Податоци | Промоција на училиштето | физичко присуство | индивидуална |

## Годишен извештај за работата на психолог за учебната 2022/2023 година

Своите работни задачи ги реализираше согласно Годишната програма за работата на училиштето и сопствената годишна програма. Стручната работа на психологот е целосно испланирана по подрачја и по месеци и се реализира преку информативна и советодавна работа со наставниците, учениците и родителите и аналитичко – истаржувачка работа.

| Реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на годишна програма за работа на психологот | Унапредување на стручната дејност | Јули 2022 | Индивидуална Стручна литература. Програми | Професионален развој |
| Изготвување на месечни планирања | Унапредување на стручната дејност | Во текот на учебната годината | Индивидуална Програми | Професионален развој |
| Изготвување на програма за надарени и талентирани ученици | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Потикнување н апотенцијалите на учениците |
| Изготвување на програма за ученици со посебни образовни потреби – пречки во рзвојот | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Когнитивниот развој кај учениците со посебни образовни потреби – пречки во развојот |
| Изготвување на програма за ученици со потешкотии во учењето | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Постигнување на подобри резултати |
| Изготвување на програма за професионална ориентација на ученици | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Помош и насочување на учениците кон идно занимање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на програма за советување на родители | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Формирање поддршка со поактивно учество на родителите во училишниот живот |
| Советодавна работа со ученици | Справување со проблеми | Во текот на наставната година | Индивидуална и групна работа со ученици, наставници | Унапредување на бихејвиоралните, емоционалните и социјалните вештини |
| Работа со ученици со посебни образовни потреби – пречки во развојот | Следење на когнитивниот и психомоторниот развој | Во текот на наставната година | Податоци и документи. Индивидуална работа. Наставници и дефектолог | Подобрување на психомоторите способности |
| Работа со надарени и талентирани ученици | Следење на когнитивниот и социо-емоционалниот развој | Во текот на наставната година | Индивидуална работа. Тестови за мерење на општи способности и тестови за мерење на интелигенција | Потикнување на потенцијалите на учениците |
| Работа со ученици со потешкотии во учењето | Оспособување на учениците совладување на техники за учење | Во текот на наставната година | Индивидуална и групна работа со ученици, наставници, тестови за мерење на интелигенција | Постигнување подобри резултати |
| Водење портфолио за напредокот и развојот на учениците | Унапредување на едукативната дејност | Во текот на наставанта година | Индивидуално Примена на психолошки тестови, цртеж, училишни активности | Постигнување подобри резултати |
| Работа на професионална ориентација | Работа на себе преку вежби за личен развој | Во текот на наставанта година | Ученици од VIII и IX одделение | Зголемување на самопочитта и самодовербата и справување со стрес |
| Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците после првото тримесечие, на полугодие, после третото тримесечие | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните активности | Ноември 2022<br>Јануари 2022<br>Април 2023<br>Јуни 2023 | Настивници, дневник и листи | Утврдување на состојбата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и на крајот на наставната година | | | | |
| Соработка со наставници | Подобрување н аквалитетот на наставата и надминување на проблеми со ученици и родители | Во текот на учебната година | Тематско процесни и дневни палнирања. Стручна литература | Постигнување подобри резултати |
| Соработка со стручни органи | Подобрување на работата во училиштето | Во текот на учебната година | Одделенски и наставнички совети. Групна работа, стручни активи | Утврдување на состојбата |
| Соработка со родители | Формирање поддршка со поактивно учество на родителите во училишниот живот | Во текот на наставната година | Индивидуална и групна работа со родители | Помош во надминување на проблеми од различен карактер во насока на подобрување на успехот и однесувањето во училиштето |
| Соработка со други институции | Унапредување на едукативната дејност | Континуирано | Соработка со НВО, МВР, ЗМЗ, МЦСР, БРО, МОН, Сектор за обарзование на општина Гази Баба, ДПИ | Утврдување на состојбата |
| Учество на работа на секција на психолози - Психовизија | Стручна соработка | Во текот на наставанта година | Групна работа, Стручна литература | Развој на стручното искуство |
| Аналитичко истражувачка работа | Учениците да изградат реална слика за себе | Во текот на првото полугодие | Куперсмитов инвентар за мерење на себепочитувањето | Идентификување на своето јас |
| Педагошка евиденција и документација | Подобрување наработатанаучилиштето | Во текот на учебната година | Преглед на електронски дневник | Утврдувањен а состојбата |
| Посета на наставни часови и советодавна работа со наставниците во | Давење стручна помош во подготовката и реализацијата на | Во текот на учебната година | Образец за следење на наставен час | Утврдување на состојбата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| реализација на развојните наставни цели | интерактивната настава | | | |
| Education Exchange: Supporting mental wellbeing in schools | Унапредување на стручната дејност | 13.7.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Attended the British Council World Teachers' Day Online Conference | Унапредување на едукативната дејност | 1.10.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Erazmus+ project - Let`s beat bullying together (LBBT) 2020-1-SE01-KA229-077802 | Унапредување на искуства | 9.10-15.10.2022 | Проекти за мобилност | Размена на искуства |
| Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично | Унапредување на стручната дејност | 4.11.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Програма за унапредување на менталното здравје на деца и млади во образование, здравствени и згрижувачки институции | Унапредување на стручната дејност | 7.11.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Education Exchange: embedding climate education across the whole curriculum | Унапредување на стручната дејност | 16.11.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Критичко размислување, решавање проблеми и микробит | Унапредување на стручната дејност | 23.11.2022 | Видео - постер | Начини како да се поддржи менталното здравје кај децата во време на пандемија |
| Изготвување Индивидуален образовен план (ИОП) и Модифицирана програма | Унапредување на стручната дејност | 24.11 – 25.11.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Денови на психологијата на МСУ на тема Мотивација | Унапредување на стручната дејност | 26.11.2022 | Презентација | Размена на искуства |
| Микробит | Унапредување на стручната дејност | 28.11.2022 | Презентација | Размена на искуства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вклучување на деца бегалци, мигранти во воспитно-образовниот процес | Унапредување на стручната дејност | 31.01.2023 | Презентација | Размена на искуства |
| Поддршка на училишните инклузивни тимови | Унапредување на стручната дејност | 01.02.2023 | Презентација | Размена на искуства |
| Education Exchange: Equity in the classroom | Унапредување на стручната дејност | 15.03.2023 | Презентација | Размена на искуства |
| Erazmus+ project - Let`s beat bullying together (LBBT) 2020-1-SE01-KA229-077802_3 | Унапредување на искуства | 6.03-10.03.2023 | Проекти за мобилност | Размена на искуства |
| Систем на знамиња | Унапредување на стручната дејност | 15.05-16.05.2023 | Презентација | Надградување на знаењето |
| Спроведување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на било која на формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Унапредување на стручната дејност | 06.06-07.06.2023 | Презентација | Надградување на знаењето |
| Инклузивно образование во пракса | Унапредување на стручната дејност | Јуни 2023 | Презентација | Надградување на знаењето |

## Годишен извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор

Согласно сопствената програма за работа, во текот на учебната година беа реализирани следниве содржини и активности:

- Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците.
- Изготвување на педагошки профил на ученикот со попреченост.
- Индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензо-моторното и социо-емоционалното функционирање.
- Корекција и компензација на развојните потешкотии и пружање непосредна помош во учењето.

- Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијата, напредокот и постигањата на учениците со попреченост.
- Проценка/идентификација на образовните потреби на ученицитена едукативните потреби.
- Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот.
- Помош и поддршка на наставниците при дефинирање на воспитно-образовните цели во изготвувањето на индивидуални образовни планови.
- Стручна помош на наставниците при зготвување на индивидуализирани инструменти за проверка на знаењата на учениците со попреченост.
- Реализација на предавања од областа на дефектолошката теорија и пракса.
- Советодавна работа со родители (решавање на воспитни и други проблеми).
- Упатување на родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми.
- Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на годишна програма | Изработување на сопствена годишна програма за учебната 2022/2023 година | август 2022г | Специјален едукатор и рехабилитатор | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Професионален развој | Индивидуална |
| Изработка на годишна програма за училишен инклузивен тим;<br><br>Подобрена инклузија | Координација за изработка на годишна програма за работа на училишен инклузивен тим;<br>Изработување на годишна програма за работа на училишен инклузивен тим | август 2022г | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Училишен инклузивен тим | Прибирање на релевантни податоци потребни за изработка на годишната програма за работа на училишен инклузивен тим | Постигнување на подобри резултати<br>Следење на психомоторниот развој кај учениците со попреченост | Групна |
| Идентификација на ученици со попреченост и пружање соодветна поддршка | Идентификување на ученици со попреченост | октомври | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Наставници | Разговор<br>прашалници<br>опсервација | Јасно одредени силни и слаби страни на ученикот | Индивидуална<br>Групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на ИОП; Следење на напредокот и постигнува њата на учениците со попреченост | Подготвување на педагошка документација и евиденција | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Психолог<br>Наставници | Разговор прашалници опсервација | Јасно одредени силни и слаби страни на ученикот | Индивидуална<br>Групна |
| Брзо прилагодување во училишната средина и полесна комуникација | Адаптирање на нови ученици (помош на учениците од прво одд. во адаптирање на училишната средина) | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | опсервација разговор | Прилагодување на учениците во училишната средина | Индивидуална |
| Процена на индивидуалните потенцијали<br><br>Правилно дефинирање на целите за изработка на ИОП | Дефектолошка дијагностика на ученици со попреченост (проценување на индивидуалните способности и потенцијали) Изработување на ИОП со примена на диференциран пристап | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | Модели на ИОП аналитички листови стручна литература | Вклопеност на учениците со попреченост во наставата, успешно совладување на целите на наставата | Индивидуална |
| Подобрување на психомоторните способности,<br><br>-подобар успех во усвојување на наставните содржини | Индивидуална работа со учениците со попреченост и потешкотии во учењето (вежби за реедукација на психомоторика, вежби за внимание и концентрација)<br>-примена на целите содржани во ИОП, артикулационен тест<br>-диференциран пристап | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор | ИОП<br>Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот | Индивидуална |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање и примена на специфичните методи на работа со учениците со попреченост | Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | Стручна литература | Изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни индивидуализирани планирања | Индивидуална |
| Зголемување на соработката помеѓу кадарот во училиштето, договор за заеднички и индивидуални активности. | Неформални средби со наставниот кадар и разговор по поединечни прашања или тешкотии | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | Консултации, размена на искуство, идеи, предлози | Размена на сознанија и информации значајни за работата Унапредување на воспитно образовниот процес | Групна |
| Добивање дополнителна стручна помош и подршка Разменување искуства идеи како и соработка во активности по одредени содржини | Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), Општина Гази Баба | континуирано | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>МОН, БРО<br><br>Општина Гази Баба | Консултации размена на искуства Консултации размена на искуства | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Групна |
| Работилници: Запознавање на учениците со различните видови на попреченост, прифаќање на ваквите лица и рушење на бариерите | 3ти Декември Ден на лицата со попреченост | 03.12.2022г. | Специјален едукатор и рехабилитатор | Постер Цртежи Power point- презентација | Вклопеност на учениците со попреченост помеѓу останатите ученици, социјализација | Работилници: Запознавање на учениците со различните видови на попреченост, прифаќање на ваквите лица |
| Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и | Напредување на знаењето | 01.02.2023 | ЕДУИНО | Презентација | Унапредување на стручна дејност | Групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| барателиа на азил во воспитно образовниот процес | | | | | | |
| Поддршка на училишните инклузивни тимови | Напредување на знаењето | 01.02.2023 | БРО | Презентација | Унапредување на стручна дејност | Групна |
| “ЛИСТА НА ИНКЛУЗИЈА – Алатка за зголемување на свеста за учеството и инклузијата“ | Напредување на знаењето | 01.02.2023 | ЕРАЗМУС+ | Презентација | Унапредување на стручна дејност | Групна |
| Инклузивно образование во пракса | Напредување на знаењето | Јуни 2023 | БРО | Презентација | Унапредување на стручна дејност | Групна |

## Годишен извештај за работата на библиотекар

Во текот на учебната 2022/2023 година во библиотеката се собираше, стручно обработуваше и даваше на користење библиографски материјал потребен на учениците и наставниот кадар за извршување на училишните задачи. Работата на библиотеката се вградуваше во наставно-образовната работа на училиштето. Исто така се мотивираа учениците и активно се вклучија во одбележување значајни датуми, наставните и воннаставни активности, манифестации. Беа набавени 205 книги, 81 лектири, 21 стручни книги, како и 103 монографски публикации од повеќе области и жанрови: романи, драми, литературна теорија, историски книги, и сл. Најактивни читатели од одделенска настава се II-2 одд., и од предметна се VII-2 одд. На учениците, според нивните афинитети, освен лектири и помошна литература, од одделенска настава најомилени им се сказните, додека од предметна настава изборот се книги со проблематика и теми од животот на младите и авантуристички жанр.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Прием на нови учебници, евидентирање, техничка обработка и поделба на учениците по паралелки. | Поделба на новите учебници за 3 одд. и материјали за учење за 1, 2, 4 и 5 одд. | септември 2022 | библиотекар, одделенски раководители, ученици | учебници | Снабдени ученици со потребните учебници |
| Соработка со училишни библиотеки. | Позајмување на учебници по географија и граѓанско образование од ООУ„Дане | септември 2022 | библиотекари од двете училишта | учебници за 8 одд. | Користење на фондот на учебници од залихата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Крапчев“ | | | | |
| Воспитно-образовна работа со учениците | Разговор и споделување на впечатоци за лектирите од 6 и 7 одд. | септември 2022 | библиотекар, ученици од 6 и 7 одд., | смарт табла, лектири за 6 и 7 одд. | Учениците се запознати со лектирите, нивниот автор, мотивот, жанрот |
| Воспитно-образовна работа со учениците. Збогатување на јазичниот израз и речник | Пишување лични творби на тема: 8-ми Септември - Ден на независноста | 07.09.2022 | 3-2 одд. библиотекар | хартија | Збогатен јазичен израз и речник |
| Запознавање со литературата на разни јазици | Видео презентација и изложба на книги -Ден на јазиците | 26.09.2022 | 7-1 одд. библиотекар | книги | Изложба на книги Пронаоѓање и користење на литература |
| Дискусии и препораки, откривање на квалитетите на книгите | Избор на најчитана омилена книга (Месец на книгата) | 18.10.2022 | 6-1 одд. 6-2 одд. библиотекар | книги | Учениците знаат како да одберат книги според целта и намената |
| Професионален развој | Обука „Соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство и кибернасилство“. | 20.10.2022 | проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова | ИКТ технологија | Стекнати знаења за соработката спречување на врсничко насилство |
| Запознавање со НУБ"Св Климент Охридски" како национална библиотека | Посета на НУБ„Св. Климент Охридски“ Одбележување на Месец на книгата | 1.11.2022 | 3-1 и 3-2 одд. библиотекар | книги | Стекнување на знаења за улогата и значењето на националната библиотека |
| Запознавање со создавање и издавање на книги Начин на сместување и класификација на книгите | Презентации: „Патот на книгата“, „Основни поими во библиотекарството“, „Како се сместуваат книгите“ | 7.11.2022 и 9.11.2022 | 3-1, 3-2, 5-1, 5-2 одд. библиотекар | книги евидентна книга, инвентарна книга | Стекнување знаења за начинот на издавање на книги, сместување и класификација |
| Збогатување на јазичниот израз, речник и култура | Презентација за Св.Климент Охридски | 6.12.2022 7.12.2022 | 3-2 одд. 4-2 одд. 5-1, 5-2 одд. библиотекар | ИКТ технологија, смарт табла | Одбележување на делото и животот на Св. Климент Охридски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Снабдување на учениците со учебници | Прием и поделба на нови учебници | декември 2022 | 1, 2, 4, 5 одд. | учебници | Снабдени ученици со учебници |
| Соработка со библиотеки. Снабдување со лектири, белетристика, стручна литература и нивно издавање. | Евидентирање на 155 нови книги, кои се донација од НУБ „Св. Климент Охридски“ и донација од родители, ученици, наставници; Евидентирање на издавање на 1334 книги, лектири, стручна литература. | септември-декември 2022 | ученици, наставници, родители | книги инвентарна книга | Снабдени ученици и наставници со лектири, стручна литература |
| Развивање на култура на усно изразување и настап на манифестација | Приредба за зачленување на вторите одделенија во училишната библиотека МИО активност- читање Новогодишни желби | 28.12.2022 | одделенска настава од 3-5 одд. библиотекар | реквизити украси | Развој на култура и вештина кај учениците за јавен настап и комуникација. |
| Развивање на култура на читање и творечки потенцијали, самостојно доаѓање до потребни информации. | Одбележување на Денот на мајчиниот јазик со изработка на пано и презентација со стихотворби, мудри изреки, народни поговорки, историскиот развој и кодификацијата на македонскиот јазик. | 21.02.2023 | 3,4,5,6,7,8 одд. | Книги, информатичка технологија | Учениците се информирани, креативни и ги користат библиотечните ресурси. |
| Соработка и вклученост во проекти. | Проект од еразмус програма „Да ги победиме булинг и врсничкото насилство заедно“ | 6-10.03.2023 | VI, VII, VIII, IX | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Соработка и вклученост во проекти, развој на вештини и способности на активен читател. | Работилница од проектот Ненасилство – пишување состави и читање и разговор според книгата „Основи на демократијата“ од Јадранка | 20.03.2023 | 3-1, 3-2, 4-1, 4-2, 7-1,и 7-2 | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Владова | | | | |
| Соработка и вклученост во проекти, развој на вештини и способности на активен читател. | Разговори и препораки за книги : „Анегдоти“ од Наум Попески, и „Есенски распуст“ од Димитар Грумар (проект МИО) | 14.03.2023 | 3,4 одд. | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Промовирање на читањето и валоризација на вредностите и убавината на книгите. | Одбележување Светскиот ден на книгите за деца изработија пано за писателот на книги за деца Х.К. Андерсен. | 2.4.2023 | 7-1,7-2 одд | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Промовирање на читањето и валоризација на активни читатели. | Избрани и промовирани најактивните читатели: одделение со најактивни читатели беше избрано 9-1 одд. | 2.4.2023 | 6-9 одд. | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Развој на култура на читање. | Избор на омилени книги, омилени писатели | 2.4.2023 | 6-9 одд. | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Развивање на култура на читање и творечки потенцијали | Презентација со препораки и избор на книги во соработка со родителите и дискусија за книгите за деца. | 2.4.2023 | 5-те, 4-те и 3-те одделенија | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Промовирање на знаењата на млад библиотекар. | Библиотечен квиз | 3.4.2023 | 4-1, 7-1 | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Развој на култура на читање и збогатување на речник. | Литературно читање поезија од поети преродбеници на македонски и албански јазик(МИО) | 26. 04. 2023 | 7-1, 7-3, | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |
| Промовирање на читањето, соработка и збогатување на книжниот | Соработка со секцијата по француски јазик – донација на книги, речник, списанија. | 27.4.2023 | библиотекар наставник по француски | Книги, информатичка технологија | Снабденост со нови изданија на книги |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| фонд. | | | јазик 7,8,9 одд. | | |
| Култура на читање и јазичен израз. | Одбележување на Денот на македонскиот јазик и азбука со презентација. | 5.05.2023 | 5-1, 5-2 и 3-2 одд. | Книги, информатичка технологија | Учество на манифестации и проекти |

## Годишен извештај за работа на Училишниот одбор

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Задачите, надлежностите и составот се дефинирани во Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа. Тој е составен од 7 членови од кои тројца се претставници од редот на наставниците и стручните соработници, тројца од Совет на родители и еден претставник од основачот.
Училишниот одбор ги планираше и закажуваше седниците согласно потребите кои произлегуваа од тековното работење со покана во која е утврден дневниот ред. Во текот на учебната 2022/2023 година одржани се 13 седници, а со нив раководеше претседателот Евгенија Илиевска.

На седниците на УО присуствуваше директорката на училиштето, а се поканувааи претставници од ученичкиот парламент без право на глас. Претставник од редот на ученичкиот парламент во оваа учебна година беше Мелани Козарова. Училишниот одбор во соработка со директорката и училишните тимови, постојано поттикнуваа активности кои обезбедија квалитет како во воспитно-образовниот процес, така и во целокупниот процес во работењето на училиштето.
Училишниот одбор усвојува цели, ги проценува потребите за исполнување на целите и во согласност со нив, го формира планот за подобрување на условите за работа и успешно функционирање на училиштето.

Оваа учебна година по добиена одлука за објавување јавен оглас за избор на директор, Училишниот одбор донесе одлука за објавување на оглас во три дневни весници. По истекот на времетраењето на јавниот оглас, претходно формираната комисија се состана и ги разгледа доставените документи од единствено пријавениот кандидат и утврди дека ги исполнува условите предвидени во Законот за основно образование.по извршеното интервју со претставникот од БРО и членовите на УО се премина на тајно гласање.

## Годишен извештај за работа на Совет на родители

Советот на родители го сочинуваат по еден претставник од родителските одбори на ниво на паралелка. Во текот на учебната 2022/2023 година, Советот реализираше активности од својата годишна програма. Во текот од учебната 2022/2023 година одржани се

шест седници. Седниците ги свикуваше и со нив раководеше претседателот на Советот на родители, Евгенија Илиевска, со покана и утврден дневен ред.
Надлежностите на Советот на родители се дефинирани во Законот за основно образование и Деловникот за работа. Основна задача на овој Совет е да води грижа за организирано остварување на интересите и потребите на учениците на ниво на училиште. Посебно се води грижа за зачувување на здравјето на учениците, постигнување добри резултати во учењето, правилно користење на нивното слободно време. Постигнати се позитивни резултати во поглед на подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците во соработка со наставниците. Донесени се заклучоци, препораки и мислења со цел подобрување на воспитно-образовниот процес.

## Годишен извештај за работата на Наставничкиот совет

Наставничкиот совет, со кој раководеше директорката, највисокиот стручен орган на училиштето, во изминатата учебната 2022/2023 година, преку своите состаноци континуирано водеше грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето, ја креираше работата и се грижеше за динамиката на реализација. Во планирањето и реализацијата на одредени теми и активности учествуваа стручните соработници и наставниците. Во текот на учебната година, советот одржуваше повеќе состаноци, во зависност од потребите. На овие состаноци се разгледуваа стручни, организациони, педагошки, кадровски и други прашања и проблеми. Наставничкиот совет оствари значајни задачи во остварување на воспитно-образовната работа, кои произлегуваат од дејноста и потребите на училиштето.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка и успешно започнување на работата на училиштето во новата учебна година според Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници; | Давање насоки за работа и отпочнување на новата учебна 2022/2023 година | 19.08.2022 | Наставнички совет, директор стручна служба | Документи, планови, програми, записници | Подготовка за активностите за успешно започнување на новата учебна година. |
| Планирање, прецизирање на тековни активности и распределба на задачи. | Усвојување на успех од одделенски испит на ученик од 5-1 одд.<br>Давање насоки за работа за отпочнување на новата учебна | 22.08.2022 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | година. | | | | |
| Планирање, прецизирање на тековни активности и распределба на задачи. | Формирање на училишни работни комисии. | 26.08.2022 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |
| Планирање, прецизирање на тековни активности и распределба на задачи. | Определување на Имране Кривца за ментор на приправник Рејхан Мемети во одделенска настава. Тековни информации за воспитно-образовниот процес: ужинки, продолжен престој, отварање на игралиште во ПУ Страчинци. | 20.09.2022 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Определен ментор за приправник; Прецизирање и добра подготовка за следните активности. |
| Валоризација и вреднување на работењето, известување за реализација и планирање на следни активности. | Префрлање на ученик во друга паралелка; По повод Денот на учителот избор на истакнат работник Лилјана Павловска и истакнати наставници Благица Србиновска и Имране Кривца; Насоки за понатамошни активности и задолженија: излети, проекти, електрична енергија. | 03.10.2022 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми, водење на состаноци на далечина | Целосно спроведени и реализирани и испланирани нови тековни активности. Промовирани, наградени и мотивирани просветни работници. |
| Сумирање на сработеното во првото тромесечие; Утврдување на реализацијата на предвидените наставни планови и програми; Вреднување на постигањата на учениците; Давање мислење; Подготовка за следните активности. | Утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од 1-9 одд. наставен план, програми, воннаставните активности, тековните проекти, натпревари и активности во училиштето за првото тромесечие и давање мислење за наставата и учењето. Известување за членови во | 15.11.2022 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Реализирани проекти; Успешно спроведени тековни активности. Вреднуван успех на учениците, реализирани наставни планови и програми. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вреднување на работата на училиштето. | Пописна комисија, реализирани екскурзии, мобилност во Шпанија, завршување на проектот Европа зема здив, формирање на тимови и групи за мобилности, следни обуки и активности. | | | | |
| Сумирање на сработеното во првото полугодие, усвојување на успехот и поведението на учениците. Подготовки за работа во второто полугодие. | Утврдување и усвојување на успехот, поведението и редовноста на учениците од 1-9 одд. реализацојата на наставниот план и програмите во првото полугодие од учебната година. Подготовки за второ полугодие. | 18.01.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | Документи, планови, програми. | Реализирани проекти; Успешно спроведени тековни активности. Вреднуван успех на учениците, реализирани наставни планови и програми. |
| Преземање на педагошки мерки | Постапување и преземање на педагошки мерки поради неоправданото отсуство, т. е. нередовно посетување на настава на ученичка од 9-1 одд. | 27.02.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |
| Сумирање на сработеното во првото тромесечие; Утврдување на реализацијата на предвидените наставни планови и програми; Вреднување на постигањата на учениците; Давање мислење; Подготовка за следните тековни активности. | Утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од 1-9 одд. наставниот план, програмите и воннаставните активности и за третото тромесечие и давање мислење за наставата и учењето. Определување на наставник-ментор Тања Метикош за приправник Верица Миладиновиќ – Кировска. Подготовки за патронат. Формирање комисија за упис на првачиња и комисија за | 6.04.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | учебници. Информации за изборни предмети. Тековни активности. | | | | |
| Подготовки за интегрална евалуација. | Информации по добиен допис од МОН за интегрална евалуација | 25.04.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |
| Насоки за постапување; Тековни активности. | Насоки за постапување при превенција од насилно однесување; Забрана за користење социјални мрежи во училиште; Насоки за родителите за поголема контрола на учениците; | 11.05.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |
| Информации и препораки од Владата; Тековни прашања. | Информација за препораки од Владата донесени за подобрување на безбедноста, организацијата и состојбите во основните и средни училишта. Тековни прашања. | 26.05.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |
| Утврдување на реализацијата на предвидените наставни планови и програми; Вреднување на постигањата на учениците; | Разгледување и утврдување на постигањата на учениците од 9-те одд. Одлука за првенци на генерација. | 14.06.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |
| Утврдување на успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот план и програма според извештаите на активите; Насоки за следни тековни активности . | Разгледување и утврдување на постигањата на учениците од 1-8 одделение; Тековни прашања. | 16.06.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | документи, планови, програми | Активности за сумирање и успешно завршување на учебната година. Прецизирање и добра подготовка за следните активности. |
| Преземање на педагошки мерки | Постапување и преземање на педагошки мерки поради неоправданото отсуство, т. е. | 27.02.2023 | Наставнички совет, директор | документи, планови, програми | Прецизирање и добра подготовка за следните активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нередовно посетување на настава на ученичка од 9-1 одд. | | стручна служба | | |

## Годишен извештај за работа на Стручниот актив на одделенска настава за учебната 2022/2023 година

Согласно Годишната програма на Стручниот актив на одделенска настава и целите и задачите од Годишната програма, реализирани се следните активности по месеци во учебната 2022/23 година.

**Цели и задачи:**

Подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи, форми и нагледни средства во наставниот процес;
Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување;
Осовременување на воспитно-образовниот процес преку реализирање на Наставните планови и програми;
Меѓусебно помагање во изработувањето на Годишните програми преку пренесување на искуства од примена на стратегии и техники во претходното одделение;
Меѓусебно помагање и координирање на активностите на наставниците;
Споделување на искуства и дидактички стратегии во функција на образовниот процес;
Користење на ИКТ во наставата;
Успешна соработка со Инклузивен тим во училиштето, директор, педагог, психолог, библиотекар и специјален едукатор и рехабилитатор;
Подобрување на квалитетот на следење и оценување на учениците;

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на програмата за работа на Активот на одделенска настава | Запознавање со новата програма и унапредување на работата на стручниот актив | 17.08.2022 | Одд. наставници, предметните наставници, стручни соработници, директор | Годишни наставни програми | Унапредување на работата на стручниот актив |
| Одбележување | Свечен прием на првачињата по повод првиот училишен ден | септември 2022 | Наставниците, директор, стручна служба и ученици | Подарок за секое дете, плакати, | Поттикнување весела атмосфера при приемот на првачињата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| значајни датуми и настани | Литературно читање на тема ,,Нашата татковина” за Ден на независноста на РСМ<br><br>Меѓународен ден на мирот<br><br>Меѓународен ден без автомобили<br><br>Одбележување на првиот ден на есента | | | украсни декорации со балони, свечена програма, постери | Позитивен однос кон празникот и негување на патриотски чувства<br><br>Поттикнување на свесноста кај луѓето за намалување на употреба на моторни возила<br><br>Да се развива креативност и умешност при изработка на творбите |
| Споделување искуства од обуки на I и IV, II и V одделение | Дисеминација, подобрување и унапредување на наставата | 16.09.2022 | Одделенски наставници | Годишни наставни програми | Професионално усовршување на наставниот кадар, јакнење на соработката меѓу наставниците, подобрување и унапредување на наставата |
| Одбележување значајни датуми и настани | Светскиот ден на учителот<br><br>Одбележување на 11 Октомври-Ден на народното востание<br><br>Изработка на играчки од рециклирачки материјали<br><br>Светскиот ден на храната и Светскиот ден за борбата против гладта<br><br>Одбележување на Светскиот ден на јаболко<br><br>Денот на македонската револуционерна борба | октомври 2022 | Директор, стручна служба, наставниците во училиштето, учениците и надворешни соработници | Илустрации, плакати, беџови, програма, рецитал, дипломи, награди, признанија, компјутер, презентација, превоз, хартија, пластика, капачиња, стара хартија, прибор за работа, слики, разглас, цртежи | Правилен однос кон училиштето, кон детето, развивање чувство за солидарност, запознавање со неговите права и должности<br><br>Чувство за самопочит, љубов кон историското минато<br><br>Практична примена на рециклирачки материјали во естетското уредување на училиштето<br><br>Развивање на свеста за правилно користење на храната<br><br>Да се подигне свеста кај учениците за потребата од конзумирање на здрава храна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со околината и природата | Реализација на еднодневна есенска екскурзија во излетничкото место Дељадровци | 12.10.2022 | надворешни соработници, наставници, ученици | превоз | Развивање љубов кон природата, грижа за животната средина, развивање на еколошка свест и развивање на другарство и социјализација на учениците |
| Анализа на постигањата | Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тримесечје од учебната 2022/23 год.<br>Проверка на педагошка документација и евиденција | 07.11.2022 | Директор, стручна служба, одделенски наставници, предметни наставници | Извештаи од успехот | Подобрување и унапредување на наставата и успехот кај учениците |
| Одбележување значајни датуми и настани | Хуманитарна акција за собирање на храна<br><br>Одбележување на Ден на ослободувањето на Скопје<br><br>Одбележување на Месецот на книгата<br><br>Меѓународниот ден на толеранцијата<br><br>Одбележување на Светскиот ден на детето<br><br>Одбележување на Денот на албанската азбука<br><br>Работилница со учениците од четврто одделение на тема: Дали знаеме колку е штетен Е-отпадот? | ноември 2022 | Наставници, ученици, родители, стручнаслужба, надворешни соработници, директор,<br><br>Авторката на инклузивната сликовница-Гордана Симоновска Момироска, актерката Снежана Коневска Руси,<br><br>соработка со Екозвон | Прехрамбени продукти комјутер, презентација, цртежи книги, работилница со библиотекар, пораки, стихови активности со авторот, рецитал, разни активности, постери, приредба | Развивање на чувство на солидарност, хуманост и емпатија кај учениците<br><br>Почит кон борците за слобода и значењето на празникот<br><br>Да се развива љубов кон пишаниот збор и интерес за литературно творење<br><br>Да се почитува различноста<br><br>Да се развиваат љубовта и почитта кон децата, почитување на правата на децата<br><br>Мултикултурализмот и почитувањето на различностите<br><br>Стекнати знаења за штетноста на Е- Отпадот |
| Естетско уредување на | Уредување на катчиња, ходници училници, двор, игралиште | септември - декември | наставници, ученици, родители | работни материјали | Проширени и збогатени идеи за креативно изразување и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| училишните простории | | 2022 | | | вештини на естетското уредување на училиштето |
| Одбележување значајни датуми и настани | Посета на детскиот музички фестивал Златно славејче<br><br>Одбележување на 8 Декември – Св.Климент Охридски<br><br>10 Декември - Меѓународниот ден на човековите права<br><br>Подготовки за одбележување на Новата година со учениците<br><br>Посета на театар-новогодишна претстава<br><br>Приредба по повод зачленување на второодделенците во училишната библиотека | декември 2022 | Наставници, ученици, родители, библиотекар, стручна служба директорката | Превоз, презентација, интерактивна табла пораци, хамер, елки, лампиони, балони, украси направени од учениците, цртежи, рецитал, свирење на кавал, драматизација | Развивање љубов кон музиката<br><br>Љубов и почит кон ликот и делото на Св.Климент Охридски<br><br>Развивање граѓански вредности<br><br>Создавање навики за културно однесување на театарска претстава и развивање навики за посета на културни манифестации<br><br>Описменување и развивање љубов кон книгата, да се поттикнуваат учениците за јавен културно-уметнички настап |
| Одбележување на 151-та годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер, национален херој Гоце Делчев | читање книги за гоце, литературни и ликовни творби на тема ,,Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите", изработки на хамер | 03.02.2023 | наставници, ученици | книги, пораки, хамер, разни активности | љубов и почит кон ликот и делото на македонскиот револуционер Гоце Делчев |
| Одбележување на неделата на информатиката | wordwall квизови, кодирање,пораки за безбеден интернет | 10.02.2023 | наставници, ученици | смарт табла, хартија | учениците полесно да навлезат во тајните на информатиката и кодирањето |
| 21 февруари – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик | библиотекарска секција изработи презентација за меѓународниот ден на мајчиниот јазик | 21.02.2023 | наставници, ученици | смарт табла, хартија книги, пораки, хамер, разни активности | да го негуваме нашиот јазик со тоа што ќе го научиме, својот јазик, ќе ги сакаме и почитуваме и другите јазици. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 1 март-Денот на мартинките | изработка на мартинки | 27.02.2023 | наставници, ученици | конци во бела и црвена боја, хамер | развивање креативност и творечка фантазија, соработка со локална самоуправа |
| Училишен натпревар по математика за учениците од прво до петто одделение | реализиација на спроведено тестирање | 28.02.2023 | наставници, ученици | тестови | да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот, да се поттикнат учениците кон напредок и постигнување лични и екипни резултати. |
| Одбележување на Денот на албанскиот учител | приредба, доделивме плакета за истакнат наставник, која и припадна на наставничката илфије емини. | 07.03.2023 | наставници, ученици | разговор, рецитал, драматизација | развивање чувство на почит кон наставниците |
| Одбележаа Меѓународниот ден на жената-8 март | литературно читање ликовна изложба | 08.03.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла, украсни декорации | согледана важност на улогата и придонесот на жената во општеството искажана љубов, благодарноста и почитта кон мајката |
| Одбележување на Денот на пролетта и екологијата | разновидни и креативни пролетни и еко активности, засадување на зимзелени дрвца во училишниот двор | 21.03.2023 | наставници, ученици и родители | хартија во боја, хамер, смарт табла | подигнување на свеста за заштита на околината |
| 22 март-Светскиот ден на водата | преку следење на презентации за водата, изготвување на креативни и едукативни изработки, работилници | 22.03.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | давање значење и вреднување на водата која живот значи. |
| Одбележување на Денот на шегата-априлијада | интересни креации, маски и драматизации | 31.03.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, бои за лице | развивање креативност, творечка фанатазија, соработка со локалната самоуправа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 април - Светски ден за подигнување на свеста за аутизмот | следење презентации | 02.04.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | заедно да испратиме силна порака за поддршка на лицата со аутизам и заеднички да ги надминеме сите предизвици и пречки. |
| Светскиот ден на книгите за деца | беше одбележан со избор на најактивни читатели, библиотечен квиз натпревар, како и презентација со препораки и разговор за книгите за деца. | 02.04.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | развивање љубов кон книгата, читање на книгите |
| Светскиот ден на здравјето | низа едукативни работилници | 07.04.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | развивање чувство за правилен однос кон здравјето |
| Едукативно предавање за лична хигиена за време на пубертетот | Always - едукативна училишна програма за пубертетот. проектот е поддржан страна на министерството за образование и наука на република северна македонија и p & g | 13.04.2023 | наставници, ученици, надворешни соработници | смарт табла, едукативен материјал | одржување на личната хигиена за време на пубертетот |
| Одбележување на Велигден | изработки на велигденски декорации, декорирање на јајца, украсување на училишните катчиња со велигденски декорации, велигденски вежбанки по одредени наставни предмети. | 13.04.2023 | наставници, ученици, | хартија во боја, хамер, смарт табла | учениците да се стекнат со знаење за значењето, традицијата и обичаите на празникот велигден |
| Одбележување на Рамазан Бајрам | ликовни творби, читање на разглас | 20.04.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | учениците да се стекнат со знаење за значењето, традицијата и обичаите на празникот рамазан бајрам |
| Одбележување на Денот на планетата земја- 22 април, под мотото „Инвестираме во нашата планета“ | најразлични творби, цртежи, презентации и практични игри | 22.04.2023 | наставници и ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | создавање свесност, одговорност и работни навики за заштита на планетата земја |
| Петдневна | секојдневни активности, прошетки, | 24.04.2023 | наставници, | превоз | остварување на спортско |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| екскурзија за учениците од петто одделение-настава во природа | посета на знаменитости | | ученици, надворешни соработници | | рекреативни, воспитни и образовни цели, се поттикнуваат да развијат интерес за спортски активности, за природата и градење на еколошки навики, развој на свест на чување на околината, градење културни навики на однесување во природа и стекнување навики за здраво живеење, стекнуваат искуство за осамостојување и грижа за себе, дружење, социјализација и колективна заштита. |
| Меморијален турнир ,,Играме од срце за Алек” | спортски активности | 27.04.2023 | наставници по фзо и ученици | спортски реквизити | учениците уште од мали нозе да ги насочиме да чекорат по спортските патеки |
| Еднодневен излет од наставно-научен карактер во излетничкото место Лешок-Тетово | прошетка и посета на знаменитости | 28.04.2023 | наставници, ученици од III одделение | превоз | учениците да се запознаат со природно- географските карактеристики на тетовскиот регион, да се запознаат со културно-историските споменици и етнографските особености на регионот, градење меѓусебна доверба, другарство, комуникација, меѓусебна соработка наставник-ученик; ученик-ученик, развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости, развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење. |
| Да се истакне значењето за | едукативно предавање „инвестираме во нашата планета, | 04.05.2023 | наставници, ученици од IV | едукативен материјал, пораки и | развивање на еколошката свест кај учениците, развивање на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| заштита на природата | учиме да се грижиме за животната средина и да го намалиме и рециклираме пластичниот отпад“. | | одделение и надворешни соработници од општина | изработки | навики за еколошки начин на живеење и зачувување на животната средина. |
| Оддбележување на Денот на македонската азбука и македонскиот јазик | следење презентација | 05.05.2023 | наставници, ученици | хартија во боја, хамер, смарт табла | учениците да се спознаат со значењето на македонскиот јазик како и важноста да го изучуваат и негуваат од сите аспекти: граматички, лексички, фонолошки како и да го осознаат богатството на израз и литературно творештво |
| Прослава на Денот на училиштето | одбележување на Денот на училиштето | 24.05.2023 | наставници, ученици и родители | работни материјали, икт - презенација, сала | промоција и презентација на училиштето |
| Запознавање со околината и природата<br>Еко-кодекс | еднодневен излет од наставно-научен карактер во излетничкото место сарај за учениците од I до IX одд. | 25.05.2023 | наставници и ученици од I до IX одделение | превоз | учениците да се запознаат со природно- географските карактеристики на тетовскиот регион, да се запознаат со културно-историските споменици и етнографските особености на регионот, градење меѓусебна доверба, другарство, комуникација, меѓусебна соработка наставник-ученик; ученик-ученик, развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости, развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење. |
| Натпревар по мотото | спортски активности за учениците од IV одделение | 06.06.2023 | наставници, ученици | спортски реквизити | промоција на кошарката како спорт и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „Кошарката моја игра" | | | | | |
| Анализа на работата и конструирање на ново раководство на активот | извештај за работата на активот и избор за ново раководство | 19.06.2023 | стручна служба, наставници | унапредување на работата на одделенскиот актив | директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници |

## Годишен извештај за работата на општествено-хуманистички актив за учебната 2022/2023 година

Во текот на оваа учебна година се реализирани сите активности што се предвидени, според планирањето во програмата на општествено-хуманистичка група. Содржините се следниве:

**Септември**

1.Активности по повод одбележување на 8-ми Септември, наставниците заедно со учениците реализираа низа активности: пишување на литературни творби, изработка на ликовни творби, презентации и др.

2.Активности по повод одбележување на Европскиот ден на јазиците (26.09.2022). По тој повод предметните наставници по македонски, англиски, француски и германски направија квиз за учениците каде можеа учениците да ги произнесат своите знаења.

3.Нагледен час по физичко и здравствено образование (28.09.2022). На овој ден наставниците по физичко и здравствено образование со учениците од предметна настава организираа низа активности.

**Октомври**

1.На ден 05.10.2022 во нашето училиште се одбележа Денот на учителот. По тој повод наставничката по историја Благица Србиновска, колешките по македонски и англиски јазик заедно со учениците реализираа низа активности како што се: пишување на литературни и ликовни творби, исто така истиот ден беа доделени плакети од страна на нашата директорка м-р Анита Ангеловска на истакнати наставници за нивниот вложен труд.

2.Интегриран час по англиски и германски јазик го реализираа Bjoca и Теута на 25.10.2022.

3.Одбележување на Детската недела наставникот Благица Србиновска заедно со учениците од ученичкиот парламент реализираа низа активности како што се: изработка на хамер, презентации и др.

4.По повод месецот на книгата, библиотекарката на нашето училиште Вера Стојаноска одржа активности со учениците од одделенска и предметна настава. Во истиот период ја посетија и Универзитетската библиотека во Скопје.

**Ноември**

1.Активот одржа состанок на 14.11.2022 година на кој присуствуваа членовите на Активот и на кој се дискутираше за реализираните активности во првото тромесечие и за реализираните дополнителните активности.

2.На ден 18.11.2022 во нашето подрачно училиште во Страчинци по повод Денот на албанската азбука, се одржа приредба од неколку точки кои ги реализираа учениците од одделенска и предметна настава. На приредбата присуствуваа директорката м-р Анита Ангеловска, педагогот Емилија Георгиевска, психологот Елена Темелковска, специјален едукатор и рехабилитатор Ана Тасевска.

3.Отворен час по англиски јазик реализиран од Биљана Арсова на 10.11.2022.

**Декември**

1.На ден 07.12.2022 година по повод Денот на Св.Климент Охридски учениците од централното и подртачното училиште напишаа литературни творби, презентации посветени на животот и делото на Св.Климент Охридски.

2.На 27.12.2022 година одржан е отворен час по физичко образование од страна на наставникот Фатон Ганиу.

3.Во централното и подрачното училиште имаше новогодишно украсување одговорни беа Ели Чочева, Елмерина Фазлиу, Имране Кривца, Сание Гани.

**Јануари**

1.На 21.01.2023 се одржа состанок со активот на кој приствуваа сите членови и се дискутираше за реализирање на активности кои следуваат за второто полугодие.

2.Отворен час реализиран по историја од Благица Србиновска.

**Февруари**

1.На 21.02.2023 се одбележа Денот на мајчиниот јазик во централното и подрачното училиште.По тој повод се одржа натпревар по македонски и албански јазик со учениците од предметна настава и наставниците Марина Димоска,Маја Медарска и Сание Гани.

**Март**

1.Се одржа интегриран час на 10.03.2023 година од страна на наставниците Јасмина Анакиоска и Марина Димоска со учениците од предметна настава.

2.На 08.03.2023 се одбележа Денот на жената во централното и подрачно училиште .

**Април**

1.На 5.04.2023 наставничката Валентина Николовска по класична култура и цивилизација имаше отворен час со учениците од предметна настава.

**Мај**

На 23.05.2023 се одбележа Денот на училиштето.По тој повод учество имаа сите вработени во нашето училиште.Се реализираа различни активности со учениците од одделенска и предметна настава.

## Годишен извештај за работата на природно-математички актив за учебната 2022/2023 година

Во текот на 2022/23 учебна година активот на природно математичката група предмети одржа вкупно седум состаноци, од кои првиот беше за усвојување на програмата, одржани се две стручни предавања и седум отворени часови. Опфатени се сите предмети и применети различни форми, методи и техники. Одржани се интегрирани часови со цел реализација на МИО проектот. Учениците зедоа активно учество во натпреварите по предметите од оваа група и постигнаа значајни резултати. Сите планирани содржини според годишната програма се реализирани.

Во текот на првото полугодие од учебната 2022/23 година одржани се вкупно три состаноци на кои се дискутираше за видувањата од реализацијата на содржините во шестто, седмо, осмо и деветто одделение. Реализирани се два отворени часа од страна на наставничката Габриела Јорданов по математика во седмо одделение и наставничката Јасмина Јездиќ по физика во деветто одделение. Вршена е анализа и дискусија по секој одржан час. Меѓусебно колегите споделија и идеи за различни начини за полесно оценување на учениците. На еден од состаноците се дискутираше за успехот на учениците постигнат во текот на првото тромесечие. Во второто полугодие учениците зедоа активно учество во тековните натпревари по математика, физика, биологија, хемија, географија на кои постигнаа големи успеси.
На еден од состаноците се дискутираше и програмата за работа на секциите по сите наставни предмети кои што се опфатени во овој актив. Содржини се избрани со цел да го систематизираат, продлабочат и прошират знаењето кај учениците. Тие помагаат во развивањето на логичките способност, проширувањето на активниот мисловен процес и увежбување на истиот. Со користење на разновидни методи, форми и техники на работа се мотивираат учениците, се развива креативноста и се поттикнуваат на самостојно учење и самовреднување.
На последниот состанок врз основа на целокупните резултати постигнати во тековната учебна 2022/2023 година беше констатирано дека активот на Природно – математичката група според планот и програмата ги има успешно реализирано сите свои задачи кои биле предвидени однапред.
Беше изготвена и предлог програма за следната учебна година

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Отворен час по математика / VII одд<br>Тема: **Број и решавање проблеми**<br>Содржина: Цели броеви<br>Разговор по реализираниот час.<br>Тековни прашања. | Да ги користи целите броеви во различни задачи | Септември | Решава задачи со примена на позитивни и негативни цели броеви | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по биологија / VIII одд<br>Тема: **Клетки и организми**<br>Содржина: Растителни клетки | Да ги набројува растителните клетки | Октомври | Знае да ги препознава растителните | Споделување на своите знаења и ставови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Разговор по реализираниот час.<br>Тековни прашања. | | | клетки и да ја знае нивната градба | |
| Отворен час по информатика / VI одд.<br>(интегриран час )<br>Тема: **Програми за работење на текст**<br>Содржина: Работа со текст<br>Разговор по реализираниот час.<br>Тековни прашања. | Запознавање со изработка на текст во различни компјутерски програми | Ноември | Да се запознаат со средување на текст во програмски рамки | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по физика / IX одд.<br>Тема: **Енергија**<br>Содржина: Обновлива енергија<br>Дискусија за реализираниот час<br>Тековни прашања | Користи знаења за енергетски извори вклучувајќи фосилни горива и обновлива енергија | Декември | Може да објасни значење на обновлива енергија во секојдневниот живот | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по географија/ VIII одд<br>Тема: **Јужна Европа**<br>Содржина: Шпанија<br>Дискусија за реализираниот час | Да се запознаат со сите карактеристики на Шпанија | Јануари | Знае да ги одредува сите карактеристики на Шпанија | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по биологија / VIII одд<br>Тема : **Циркулаторен систем кај човекот**<br>Содржина:<br>Состав на крвта<br>Дискусија по реализираниот час.<br>Тековни прашања | Разработка на циркулаторниот систем кај човекот | Февруари | Подобрено размислување и полесно стекнување на знаењата за циркулаторниот систем кај човекот | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по Природни науки / VI одд<br>Тема: **Растење**<br>Содржина : Моето растење . Пубертет<br>Разговор по реализираниот час.<br>Тековни прашања | Да го разбира поимот пубертет | Март | Знае какво е значењето на пубертетот во растот и развојот на детето | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по математика / VIII одд<br>Тема: **Геометрија и решавање проблеми**<br>Содржина: Агли на трансферзала . Паралелни прави<br>Разговор по реализираниот час.<br>Тековни прашања. | Да знае како да ги користи аглите на трансверзала | Април | Да знае да ги пресметува аглите на трансферзала | Споделување на своите знаења и ставови |
| Отворен час по техничко образование / VI одд.<br>Тема: **Собраќај** | Да знае како да претставува податоци | Мај | Да знае видови на графици | Споделување на своите знаења и ставови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Содржина: Регулирање на собраќајни крстосници со сообраќајна сигнализација<br>Разговор по реализираниот час.<br>Тековни прашања | во различна форма | | | |

## Годишен извештај за работата на Одделенски совети за учебната 2022/2023 година

Одделенскиотсовет, со кој раководеше директорката, највисокиот стручен орган на училиштето, во изминатата 2022/2023 година, преку своите состаноци континуирано водеше грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето, ја креираше работата и се грижеше за динамиката на реализација. Во планирањето и реализацијата на одредени теми и активности учествуваа стручните соработници и наставниците. Во текот на учебната година, советот одржуваше состаноци за да оствари значајни задачи во остварување на воспитно-образовната работа, кои произлегуваат од дејноста и потребите на училиштето. Овој стручен орган во својата работа ги опфати следните подрачја:

-Организација на воспитно-образовната дејност;
-Планирање на воспитно-образовната дејност;
-Унапредување на наставата;
-Разгледување на анализи, извештаи и друг вид доставен материјал врзан за реализација на наставно-воспитниот процес во Училишето;
-Редовно водење на педагошка евиденција и документација

Одделенскиот совет во текот на учебната 2022/2023 година со залагање на сите фактори на воспитно-образовниот процес успешно ги реализира своите поставени цели и задачи.

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Известување за реализација на наставната програма | Разгледување на реализацијата на наставната програма | ноември<br>јануари | Наставници<br>Директор<br>Стручни соработници | Дневник на паралелката<br>Записник од одделенски совет<br>Извештај Формулари | Целосна реализација на наставните програми | Директор<br>Стручни соработници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение | Реферирање на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение | ноември јануари | Одделенски совет на одделенска и предметна настава | Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет, Извештај Формулари | Подобрување на успехот и поведението на учениците | Директор Стручни соработници |
| Известување за реализацијата на дополнителна и додатна настава, како и слободните и воннаставните ученички активности | Разгледување на реализацијата на дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности | ноември јануари | Наставници Директор Стручни соработници | Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет, Извештај Формулари | Реализација на дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности | Директор Стручни соработници |
| Известување за адаптација на учениците во прво одделение и новозапишаните ученици | Разгледување на адаптацијата на новозапишаните ученици | ноември | Наставници Директор Стручни соработници | Дневник на паралелката, Записник од одд. совет; Извештај; Формулари | Адаптираност на учениците | Директор Стручни соработници |
| Одржување родителски средби, тековни прашања | Договор за одржување родителски средби, посети, учество на Sвон | ноември јануари | Наставници Директор Стручни соработници | Дневник на паралелката, Записник од одд совет, Извештај | Реализација на родителски средби | Директор Стручни соработници |
| Утврдување на успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот план и програма за првото полугодие според извештаите на активите; Насоки за следни тековни активности . | Разгледување на остварувањето на наставниот план и програмите во првото полугодие од учебната 2022/23 година;<br>Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од I до V одделение за првото полугодие во учебната 2022/2023 година;<br>Давање мислење за планирањето, | 16.01.2023 год. | Наставнички совет, директор стручна служба | Документи, планови, програми, водење на состаноци на далечина преку платформата зум | Подготовка за активностите за успешно започнување на новата учебна година. | Физичко присуство |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето;<br>Родителски средби ;<br>Насоки за следните активности. | | | | | |
| -Утврдување на успехот и реализација на наставните планови и програми, организирање на тековни активности.<br>-Унапредување и организација на наставата и воспитно -образовната работа. | Разгледување на остварувањето на наставниот план и програмите, утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од I до V во трето тримесечие од учебната 2022/23 година;<br>Потврдување на ментор ,<br>Родителски средби ;<br>Тековни прашања - Разговор со учениците за безбедност на социјалните мрежи . | 03.04.2023 г | Наставнички совет, директор стручна служба | Документи, планови, програми, водење на состаноци на далечина преку платформата зум | Подготовка за активностите за успешно започнување на новата учебна година. | Физичко присуство |
| Утврдување на успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот план и програма за првото полугодие според извештаите на активите;<br>Насоки за следни тековни активности . | Разгледување на остварувањето на наставниот план и програмите, утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците од I до V во трето тримесечие од учебната 2022/23 година;<br>Потврдување на ментор ,<br>Родителски средби ;<br>Известување за прием на свидетелства. | 14.06.2023 | Наставнички совет, директор стручна служба | Документи, планови, програми, водење на состаноци на далечина преку платформата зум | Подготовка за активностите за успешно започнување на новата учебна година. | Физичко присуство |

## 24. Заклучоци и согледувања на состојбите за унапредување на дејноста

Годишниот извештај за работата на ООУ „Кирил и Методиј“- Стајковци за учебната 2022/2023 година, според изнесените

податоци констатирани се следните постигања:

- Средниот успех на училиштето на крајот на крајот од учебната 2022/2023 година изнесува 4,23;
- Зголемена демократска партиципација на учениците во Ученичкиот парламент;
- Подигање на свест за здрава животна средина кај учениците и грижа за сопственото здравје и здравјето на другите;
- Промовирање на мултикултурализам, интеркултурализам и почит кон разликите;
- Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции на наставниците и стручните соработници;
- Инклузија на ученици во редовната настава од секаков вид на попреченост;
- Вклученост во многу проекти, домашни и меѓународни проекти и размена на искуства;
- Унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците;

Директорот како организатор, иницијатор и предводник на воспитно-образовната работа, во тесна соработка со стручната служба во училиштето, со голем интензитет и успех ги реализира формите и содржините во сите структурални подрачја на воспитно-образовната работа во училиштето, планирани во Годишната програма и сите анекс-програми.

# 25. С Т А Т И С Т И Ч К И

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

**Педагог**
**Емилија Георгиевска**

**Директор**
**м-р Анита Ангеловска**

**ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ с. Стајковци - Скопје**

*Годишен извештај за успехот на учениците по предметите со описно оценување од прво до трето одд. за Учебната 2022/2023 година*

Наставен јазик: македонски јазик | Одделение: збирно

Структура според наставниот план

| | Наставни предмети | Јавни категории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Забелешка | Вкупно ученици (за проверка на податоците) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | планирани часови | реализирани часови | нереализирани часови | Прво ниво | | | | | | Второ ниво | | | | | | Трето ниво | | | | | | Четврто ниво | | | | | | | | |
| | | | | | вкупно | % | ж | % | м | % | вкупно | % | ж | % | м | % | вкупно | % | ж | % | м | % | вкупно | % | ж | % | м | % | | ж | м | вкупно |
| Задолжителни предмети | Македонски јазик | 1152 | 1152 | 0 | 50 | 51.55 | 32 | 32.99 | 18 | 18.56 | 31 | 31.96 | 12 | 12.37 | 19 | 19.59 | 14 | 14.43 | 4 | 4.12 | 10 | 10.31 | 2 | 2.06 | 0 | 0 | 2 | 2.06 | 0 | 43 | 49 | 97 |
| | Албански јазик | | | | | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 |
периодот од крајот на XIV век до осамостојувањето на Македонија. Потоа беше посетена Старата Скопска Чаршија една од најголемите знаменитости на градот.Учениците се потсетија дека чаршијата претставува единствен споменик на културата во Македонија, За развитокот на Скопска Чаршија низ историјата, нејзината културна вредност и занаетите кои се застапени на просторот. Во неа се препознава наследството од повеќе култури и цивилизации, кои учествувале во нејзиното создавање. Потоа беше посетен гробот на Гоце Делчев во црквата „Свети Спас“ во Скопје, кадеучениците му се поклонија на нашиот најголем револуционер, војвода и Визионерот кој пред повеќе од еден век го разбра светот како поле за културен натпревар на народите.

На 11.04. 2023 година учениците учествуваа во реализацијата на телевизиската емисија „Звон“ каде Нашите ученици го претставија своето училиште преку ликовни, литературни и ритмички активности. Децата твореа ликовни и литературни творби за време на емисијата. Исто така, децата се претставија преку музички точки подготвени од одделенските наставници.

На 12.05.2023 учениците од 5 одделение беа во посета на Собрание и Куќата на Мајка Тереза. Беа разгледани просториите на Собранието со водич. Тој им објасни на учениците за секоја намена на салите за состаноци, за прием на гости и итн. А потоа беше посетена Куќата на Мајка Тереза.

На ден 25.05.2023 год. учениците од IV одделение од ООУ „Крсте Мисирков“ и ПОУ„Крсте Мисирков“, организирано отидоа во посета на општина Гази Баба заедно со нивните наставнички. Посетата се изведе како дел од наставната програма за IV одд. Учениците се запознаа со работата на градоначалникот Стефковски кој ги прими во неговиот кабинет и им ја објасни неговата функција но и значењето на Советот во општината. Посетата продолжи и во останатите простории во општина Гази Баба. Учениците беа задоволни од одговорите кои ги добија од прашањата до градоначалникот Бобан Стефковски и останатите вработени во општината.

На 25.05.2023 година нашата Франкофонска секција со наставничката Весна Димитровска, беше во посета на Францускиот институт. Учениците се запознаа со можностите кои ги нуди институтот, библиотеката и медијатеката. Голема благодарност до институтот за книгите и списанијата кои ги дониираше за нашата мала француска библиотека.

Согласно наставните планови по македонски јазик во подрачјето „Медиумска култура“ за учениците од прво и второ одделение беше организирана посета на киното Милениум каде учениците имаа можност да гледаат анимиран филм за деца ,,Биби и Боби - Пролетна магија’’. Посетата на киното Милениум беше на 26.05.2023 год. Тука децата имаа можност да ја видат и согледаат разликата меѓу театар и кино. Преку филмот и неговата содржина учениците можеа да ја развијат својата фантазија како и поткревање за свеста за доброто и лошото во оддржување на здрава и чиста околина. Воедно учениците се запознаа со киното и начинот на однесување во него.

На ден 31.05.2023год. беше реализирана посета на Музеј(от) на македонската борба за државност и самостојност како воннаставна активност која беше планирана.

Наставничките Десанка Ѓорѓиевска, Благица Атанасова и Виолета Миноска беа реализатори на истата, а беа опфатени учениците од осмо одделение односно вкупно 58 ученици од сите четири паралелки. Во музејот учениците поделени во три групи придружени со по една од наставничките и предводени од музејскиот водич ја разгледаа музејската

поставка. Исто така, имаа можност да постават прашања, да се соживеат со македонската историја и да ги видат личностите од македонската и балканската историја во природна големина претставени преку восочни фигури во природна големина.

На 07.06.2023 година се реализира Посета на Ботаничка градина на Институт за биологија при Природно – математичкиот факултет, Скопје Со цел продлабочување и проширување на знаењата како и нивна практична примена, учениците од петто, седмо и деветто одделение беа во посета на Ботаничката градина на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет. Најзначајното од она што имаа можност да го видат е објектот за аклиматизација, одгледување и репродукција на ендемични, реликтни, ретки и лековити растенија од флората на Македонија. Ботаничката градина како единствен објект во Скопје од ваков вид нуди можност учениците и да микроскопираат делови од растенијата и одредени развојни фази од животниот циклус, кои им беа од особен интерес.

На ден 8.06.2023 г . беше организирана посета на Зоолошката градина во Скопје , активот на трето одделение ја посетија Зоолошката градина. Учениците заедно со наставниците рагледуваа ,разговараа за животните ,нивното живеалиште услови за живот ,храна итн.. Учениците задоволни и среќни и под големи импресии впечатоци се вратија во училиште.

## Годишен извештај Тим за работата на заедница на паралелка, Ученички Парламент и ученик Правобранител

Во текот на првото полугодие Тим(от) за работата на заедница на паралелка, Ученички Парламент и ученик Правобранител спроведе низа активности кои се во рамките на неговата работа. Имено, на состанокот кој се одржа на 22.09.2022 година и на кој беше избран претседател на ученичкиот Парламент. Во текот на месец октомври ученичката заедница пристапи кон изготвување на Програма за работа која ја прецизираше конкретно на два состаноци одржани на 17.10.2022 и 20.10.2022 година. Тим на ученичката заедница во чиј состав беа претседателот на ученичкиот Парламент и детскиот Правобранител учествуваше на 10 Детски Парламент одржан во Собранието на Р.С.Македонија на 18.11.2022 година со што беше одбележан Денот на правата на детето. На работилницата одржана на 01.12.2022 на тема Подади рака- помогни на другарче со попреченост“ во реализација на ученичката заедница се одржа дискусија за подигање на свеста кај учениците за поголема инклузија на учениците со попреченост.

Во текот на месец декември беа одржани консултативни состаноци за собирање идеи за одбележување на Денот на човековите права. Консултативните состаноци се одржаа на 28.11.2022 и 02.12.2022 година и на нив беше одлучено преку изработена презентација по која ќе се одржи дискусија во рамки на ученичката заедница и bookmarks на кои ќе пишува по едно човеково право да се одбележи денот на човековите права. На 09.12.2022 година е одрзана работилницата за одбележување на човековите права во рамки на ученичката заедница под мотото „Достоинство, Слобода и Правда за сите“.

На 26.12.2022 беше одржана новогодишна работилница на која се изработуваа новогодишни украси од хартија и пластика со цел да се подигне свеста кај децата за реупотреба на вештачките материјали и здравата животна средина.

Во текот на второто полугодие според програмата за работата на заедница на паралелка,Ученички Парламент и ученик Правобранител реализирани се следниве активности: На 23.01.2023 реализирана е работилница за Ден(от) за заштита на податоци со цел подигање на свеста кај учениците за користење интернет. Во текот на месец фавруари одржан е состанок на претседателите на паралелките на која беа дадени предлози и идеи за понатамошната работа на ученичката заедница.

На 08.02.2023 одржана е работилница со 9 одделение- дискусија на тема: Дали современиот свет го менува поимот другарство?

На 15.03.2023 одржана е работилница на тема: Рамноправност меѓу половите“ за да воочат дека сите имаат еднакви права и можности без разлика на полот. Во текот на април 2023 т.е. на 18.04.2023 е одржана работилница (дискусија) на тема : Дали има булинг во моето училиште со цел да се споделат искуства и проблеми и да се подигне свеста кај децата за тоа дека заедништвото и другарството е единствена опција.

На ден 08.05.2023 година Ученичката заедница од ООУ „Крсте Мисирков“ одржа работен состанок (работилница) на тема: Другарството-заедништво за подобар свет со цел да се подигне свеста кај децата по новонастанатата ситуација односно трагедијата која се случи во соседна Р Србија. Во таа смисла се одржа и втор состанок работилница односно

На работилницата одржана на 16.05.2023 се дискутираше за впечатоците од претходните активности и се реализираше активноста „Пренеси ја пораката“ преку која учениците имаа можност на сликовит и интересен начин да го воочат дезинформирањето и создавањето гласини при процесот на комуницирање. Кон крајот на овој состанок учениците твореа и секој на сликовит начин ја пренесе пораката на тема „Насилството не е опција“, а потоа со тие изработки беа украсени училишните паноа на ученичката заедница. Во месец мај одржана е и последната работилница на тема: Стекнување на поквалитетни и трајни знаења преку активно учество на учениците на која се правеше споредбена анализа на образованието (знаењето) некогаш и денес која беше особено корисна за деветтите одделенија.

## Детска организација

Активностите кои беа спроведени со Детската организација кај учениците будеше чувство на припадност и дружење, подигање на културната свест, како и развивање на натпреварувачки дух. Оваа година беа реализирани следниве активности од страна на Детската организација.

| | ***Реализирана програмска активност*** | ***време на реализација*** | ***Реализатори*** |
|---|---|---|---|
| 1 | Активности по повод Детската недела од 02.10 до 06.10.2018 година | октомври | Наставници |
| 2 | По повод кампањата „Денот на гладта„ под мотото „Помислите и на нас“ во период од 16 до 22 октомври и оваа година во нашето училиште учениците ја покажаа својата хуманост со купување на бонови во вредност од 20 денари. | октомври | Наставници Ученици |
| 3 | Одбележување на 11-ти Октомври и 23-ти Октомври | октомври | Наставници Ученици |
| 4 | Одбележување на 8-ми декември „Ден на | декември | Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | словенските просветители Св. Климент Охридски” | | Ученици |
| 5 | Активности по повод Нова Година | декември | Наставници Ученици |
| 6 | Учество на општинска изложба „Мартинки“ | февруари | Наставници Ученици |
| 7 | Учество во училишен првоаприлски маскенбал по повод „Денот на шегата“ | Март | Наставници Ученици |
| 8 | Одбележување на словенските просветители Св. Кирил и Методиј | мај | Наставници Ученици |
| 9 | Учество на општинска изложба „Мартинки“ | февруари | Наставници Ученици |

## Реализирани активности за Професионална ориентација на учениците

| | ***Реализирана програмска активност*** | ***Време на реализација*** | ***реализатори*** |
|---|---|---|---|
| 1 | Следење на уписот на учениците во средните училишта и евидентирање | септември | претставници од средните училишта, педагошко-психолошка служба, одд.раководители |
| 2 | Доставување списоци на незапишани ученици во средните училишта до МОН-ДПИ | септември | педагошко-психолошка служба, одд. раководители |
| 3 | Информираност на ученици | март | педагошко-психолошка служба, одд. раководители |
| 4 | Презентации од страна на претставници од средни училишта и делење на брошури на учениците | април, мај | претставници од средни училишта, професори |
| 5 | Помош при пресметувањето на бодови за упис во средно училиште и укажување на потребна документација | мај, јуни | педагошко-психолошка служба, одд.раководители ученици |

# Грижа за здравјето на учениците

Здравствената заштита беше дел од воспитно-образовната работа на училиштето и се однесува на развивање на здравствената култура на учениците и чување на сопственото здравје и околината. Таа беше реализирана преку содржини за здравствено-рекреативно

образование, низ адекватни содржини во процесот на наставата, со организирана исхрана, превентивна мерка за осигурување на учениците.

Заштитата на учениците се состоеше од: редовни систематски прегледи, преглед на заби, редовно вакцинирање и ревакцинирање, предавања за разни болести, болести на зависност, превентива од ХИВ, физичко воспитување, учество во спортски активности, негување на другарство, превентивни хигиенски навики, водење сметка за менталното здравје на учениците, како што е развој на самодовеба, почитување, меѓусебна толеранција и др. Овде спаѓаат и организирани излети, летувања, зимувања, екологија и сл.

**Систематски прегледи**

Во текот на првото полугодие од учебната 2017-2018 година здравствената заштита на учениците се состоеше од следниве систематски прегледи:

- I одд.- Систематски преглед
- I одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- II одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- III одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- IV одд. Систематски преглед на заби и залевање
- V одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- V одд.- Систематски преглед
- VII одд. – Систематски преглед на заби и залевање
- VII одд. – Систематски преглед

**Вакцинирање**

Во текот на учебната 2017-2018 година здравствената заштита на учениците се состоеше од следниве вакцини:

- II одд-ДИТЕ и ПОЛИО-вакцина
- IX одд.- ДИТЕ и ПОЛИО-вакцина

## Едукација за заразни болести

Црвен Крст - СКОПЈЕ на почетокот во месец декември спроведе едукативно предавање за ХИВ и СИДА и начините како да се заштитиме. На предавањето беа присутни ученици VIII и IX одделение

# ИЗВЕШТАЈ
# од работата на тимот „Едукација за здрава исхрана“
# за учебната 2022/23 година

Со почетокот на самата учебна година тековно се правеа изложби, презентации и истражувања за здрава храна преку кои учениците ги проширија знаењата за здравиот начин на исхрана.

Активностите кои се изведуваа од страна на наставници, ученици од биолошка и еколошка секција, продолжија со уредување на паното во холот на училиштето со своите изработки, тековно во учебната година.

Активностите содржеа дегустација на свежа храна и работилници за време на одделенските часови од страна на одделенските раководители на кои се промовираше здрава храна и здрав начин на живот. За таа цел наставниците одржаа кратка едукација за тоа како и кога може да се конзервира свежата храна а притоа да се задржат сите нејзини нутритивни вредности. Од споделените рецепти за конзервирање на храната се изработи едукативен флаер кој беше поделен на учениците во училиштето како и поширокатa локална заедница.

Со почетокот на самата учебна година поради епидемијата на Ковид – 19, протоколите и насоките за следење и зачувување на здравјето на учениците, активностите предвидени за дегустација на свежа храна претрпеа промени. Имено, истите беа реализирани како работилници за време на одделенските часови од страна на одделенските раководители на кои се промовираше здрава храна и здрав начин на живот. За таа цел наставниците одржаа кратка едукација за тоа како и кога може да се конзервира свежата храна а притоа да се задржат сите нејзини нутритивни вредности. Од споделените рецепти за конзервирање на храната се изработи збирка (готвач). Во насока на здравиот начин на живот, во текот на месец мај, учениците заедно со наставничките по биологија и хемија проследија презентација за пирамида на здрава исхрана на учениците од осмо и деветто одделение.

Во просториите на нашето училиште се одржа предавање од едукативно – информативен карактер на тема: Пчеларство, производство на мед и пчелни производи. Предавач беше професионален пчелар, сопственик на регистрирано одгледувалиште на пчелни матици и член на пчеларското здружение, Марјан Митревски. Акцентот на предавањето беше ставен на важноста и лековитите својства на медот, матичната млеч, поленот, прополисот, пчелниот восок и пчелниот отров како состојка која се користи за потребите на фармацевтската индустрија. По завршувањето на презентацијата учениците упатија прашања до предавачот по кои се разви плодна дискусија, а на самиот крај тие имаа можност да ги вкусат различните видови мед. Презентација на здравите начини на исхрана од страна на стручно лице – нутриционист, беа реализирани како онлајн презентација за време на часовите во текот на учебната година. Преку кратки едукативни видеа, учениците се запознаа со различните видови храна и нивното влијание врз здравјето на човекот.

Нашето училиште го одбележи Светскиот ден на здравјето - 7-ми април со бројни активности во кои се вклучија наставниците заедно со учениците од прво до деветто одделение. Имено, во насока на одбележување на денот се твореше на тема здрав живот, се правеа чаеви од лековити билки, засадивме садници од алое вера, лимон и портокал. Учениците од осмо и деветто одделение беа активно вклучени во мерење притисок и изработка на дезинфекциски средства за раце и работни површини. Со цел родителите и поширокатa заедница да биде во чекор со активностите во нашето училиште по повод „Светскиот ден на здравјето“, како и сите активности, истите беа поставени на facebook страната на училиштето.

## Реализирани активности за Превенција од насилно однесување во основното училиште

Во учебната 2022/23 беа изведени активности предвидени според предвидениот План на Тимот за добросостојба на учениците,заштита од насилство од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.

На одделенските часови од 6 до 9 одд. беа реализирани активности на теми –**Булинг и Сајбер насилство-**запознавање, проширување на знаења од литература, видео материјали, разговор, дискусија, насоки за заштита, пријавување на можни случаи од поединци и сл.
Учениците од предметна настава -видео материјал/Како да препознаете сајбер насилство/, а за учениците од одделенска настава /ТВ емисија Бонтон- За насилството.

На часовите на одделенска заедница - Животни вештини од 6 -9 одд.беа реализирани **работилници на различни теми**

**Оддолевање на социјални притисоци*- Прифатливо и неприфатливо однесување Почитување на другите –недискиминација
-Притисок, Одговорно однесување
-Подобро е да...
**Препознавање и изразување сопствени емоции*- Стрес и пријатно и непријатно,Прифаќање сличности и разлики
**Справување со емоции*- Напаѓачко однесување и во 4 одд, Кога ми е тешко, Покажи ми љубов
**Разрешување на конфликти* –бура на идеи за разрешување.Конфликти се скалила (4 одд)
-Избегнување,спротиставување или..
-Извор на конфликти
**Справување со насилничко однесување*- Реакции на омаловажување, Пасивно, агресивно или манипулативно -Ако не реагирам..
**Врсничко насилство* –Булинг, Работилница: Другарство
-Кажи НЕ на насилството и дискриминација преку игра (предметна настава –padlet активности во која учениците даваат свое мислење на дадени ситуации.Одделенска настава-Добри и лоши зборови)
**Безбедно однесување во средината*-Многу луѓе,малку простор. Оружје-мио активности.Да го дефинираме оружјето
**Превземање одговорност за постапки*- Моите одговорности,Правила,Заедно до решение,
**Превенција од болести*- ХИВ-сида,
Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции-Зависности

Темата- **Спречување на сите појави насилно однесување и говорна омраза на спортски натпревари-** колегите по физичко образование ја разработија на некои од своите часови - разговараа, дискутираа и по гледани реални видеа од натпревари

Темата –**Заштита на децата од трговија со луѓе-Што треба да направат училиштата** – беше разработена на одделенските часови од 6-9 одд..на кои се дискутираше ,им беше поделен информативен материјал со посебен акцент на темата- Заштита на децата од основното училиште од трговија со деца преку употреба на интернет измама.

Колешката по информатика ментор -наставник Маја Виденовиќ има долгорочни активности со учениците –на тема- **Безбедно на интернет и справување со дезинформации** од октомври до јуни 2023 год.

Во месец мај по немилиот и трагичен настан во соседна Србија посебно се работеше на тема Насилство ,булинг,...и имаше многу активности со учениците ,родителите и наставниците- по дадени насоки од МОН.

Колешката Анета Придаенкоска реализираше обука за наставниците на тема- **Кажи НЕ на насилството и дискриминација преку игра**.Преку презентација беше објаснето за

насилното однесување,причини знаци.. ..карактеристики на булингот со посебен акцент на практични активности: Добри и лоши зборови и Padlet активности .По обуката активностите се спроведоа на часовите на одделенска заедница .

-На одделенските часови учениците работеа и на тема –Како да го негуваме другарството,почитта и меѓусебната соработка.

-На состаноците на *Ученичката заедница* беа реазилирани активности на тема:Насилството НЕ е опција, Пренесија пораката.

-Со преставници на родители во *Советот на родители* беше реализирано и предавање на тема- Комуникација:родители –тинејџери од проф.Александра Жежова од Универзитетот Гоце Делчев.

-Беше реализирана ВЕЖБА- *Споделување за врските на подршка преку активно слушање и размена*

-Психологот на училиштето присуствуваше на работна средба организирана од МОН и БРО за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците и на истата беа дадени насоки и материјали за понатамошно работење и поддршка на учениците, родителите и наставниците во училиштата.

-Беа поделени упатства на наставници ,насоки и препораки за обраќање и работа на одделенски час, насоки за родители (на родителски средби), насоки за постапување во училиште во случај на кризна ситуација.

| | ***Реализирана програмска активност*** | ***време на реализација*** | ***реализатори*** |
|---|---|---|---|
| 1 | Евидентирање на случаи на насилството и изготвување извештаи за спроведени активности | тековно | Тим за превенција |
| 2 | Советодавна работа со ученици и евиденција | тековно | Одд. наставници, стручни соработници, Тим за превенција |
| 3 | Советодавна работа со родители на ученици кои трпат насилство и со родители на ученици кои манифестираат насилство | тековно | Одд. наставници, стручни соработници, Тим за превенција |
| 4 | Работилници на тема булинг и превенција од насилно однесување | тековно | Одд. наставници, стручни соработници, Тим за превенција |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Училишниот Одбор при ООУ„Крсте Мисирков” - Скопје, во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година одржа состаноци на кои се разгледуваа долунаведените точки по следниот ред:

Училишниот Одбор при ООУ„Крсте Мисирков” - Скопје, во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година од 01.09.2022 до 31.12.2023 година одржа 4

состаноци на кои се разгледуваа долунаведените точки по следниот ред:

1. Донесување на одлука за исплата на договор на дело за лице за јавни набавки за 2022 година
2. Донесување на одлука за обука за јавни набавки за Директорот и скретарот на училиштето.
3. Донесување на одлука за издавање на кујната само на економскиот опературот кој ќе доставува топол оброк за учениците од продолжен престој.
4. Измена на планот за јавни набавки 2022 година.
5. Донесување на одлука за издавање на простор по закуп во училиштето и објавување на оглас.
6. Донесување на програмата на изведување на екскурзии и други слободни активности за учебната 2022/23 година.
7. Измена на планот за јавни набавки за 2022 година.
8. Донесување на Одлука за објавување на оглас во дневен пречат и формирање на комисија за спроведување на постапка и прибирање на понуди за екскурзии на ученици.
9. Усвојување на успехот на учениците во учебната 2022/23 година.
10. Усвојување на извештајот од реализираните екскурзии и излети за квалиттот на дадените услуги
11. Донесување на Одлука за отпочнување на редовен и целосен попис за 2022 година
12. Измена на планот за јавни набавки за 2022 година.
13. Измена на денот на патрониот празник на училиштето.
14. Донесување на Одлука за избор или за поништување на постапката за избор на туристичка агенција за изведување на екскурзии и други слободни активности.
15. Донесување на одлука за издавање на простор под закуп и објавување на оглас.
16. Донесување Одлука за висината на касов максимум за 2023 година.
17. Донесување на Одлука за исплата на готовина за употреба на такси превоз за 2023 година.
18. Донесување на Одлука за користење на сопствено возило за службени цели за 2023 година.
19. Усвојување на Извештајот за успехот и поведението на учениците за првото полугодие за учебната 2022/2023 година.
20. Усвојување на Полугодишниот извештај за учебната 2022/2023 година.
21. Разгледување и усвојување на предлог план за јавни набавки за 2023 година.
22. Донесување на Одлука за користење на службен телефон и одобрување на надомест.
23. Донесување на Одлука за користење на автобуска карта за службени цели за 2023 година.
24. Одлука за одобрување на обука за Директорот и секретарот на училиштето во Сандански за јавни набавки.
25. Разгледување и усвојување на финансов план за 2023 година.
26. Разгледување на пописни листи од физичкиот попис од пописната комисија за 2021 година.
27. Одобрување на обука за едно лице на темата **„Како до успешна Еразмус+ апликација’’ .**
28. Давање предлог-мислење до директорот за избор на кандидат – наставник по математика на одредено време по објавен оглас
29. Разгледување и усвојување на Финансискиот извештај за завршна сметка и тоа на буџетска 903 – самофинансирачка 787.

30. Донесување на Одлука за објавување на оглас за поставување на кафемат и чокоавтомат.
31. 1.Разгледување барања за простор под закуп.
32. 2.Давање на пердлог до Директорот за најповилен понудувач.
33. Усвојување на успехот и поведението на учениците во третото тромесечие во учебната 2022/23 година
34. Донесување на Одлука за поклон за првенец на генерација и поклони за ученици со континуиран успех.
35. Формирање на стручен тим за подготовка на програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците
36. Разгледување на извештајот од еднодневен излет во Марков Манастир и Нерези и настава во природа во Охрид.
37. Донесување на Одлука за обука на Директорот и секретарот на училиштето на тема: РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈА И ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ: КАКО ДА СЕ ИЗРАБОТАТ ПРАВИЛНО
38. Усвојување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2021/22 година од I-во до IX-то одделение.
39. Усвојување на Извештајот за Самоевалуација на училиштето за 2020 година – 2022 година.
40. Донесување на Одлука за одобрување на надомест за исплата на договор на дело за правење на распоред на часови за учебната 2022/2023 година.
41. Донесување на Одлука за формирање на комисија за самоевалуација на училиштето 2022 година – 2024 година.
42. Донесување на Одлука за усвојување на предлог годишната програма за работа на училиштето за учебната 2020-2021 година.
43. Усвојување на предлог буџет план на приходи и расходи на ООУ„Крсте Мисирков“-Скопје за 2021 година.

## ***СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ***

### Совет на родители

Родителите имаат право и обврска, во интерес на своите деца да учествуваат во одлучувањата на прашањата поврзани со работата на училиштето и функционирањето на образовниот состав воопшто. Советот на родители го сочинуваат родителите на учениците, кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родители се бираат од страна на родителите од секоја паралелка на родителски состанок.

Советот на родители ја следи воспитно-образовната работа во училиштето; дава свои предлози и мислења за воспитно-образовниот процес на учениците; дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученик-наставник-родител; зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитанието на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизам, пушење, наркоманијата и слично; ангажира поголем број на родители со цел поефикасно решавање на прашања поврзани со воспитно – образовната работа на учениците; дава целосна подршка во Проектите во кои е вклучено училиштето. Советот на родители избира свои претставници во Училишниот одбор; Учествува во изготвувањето на правилници и други работи во интерес на успешноста на работата.

| *Време на реализација* | *Реализирани содржини и активности* |
|---|---|
| 20. 10. 2022 | • Информација за ужинка<br>• Информација за топол оброк од прво до третто одделение<br>• Информации за екскурзии<br>• Разно |
| 10.11.2022 | • Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение за првото тримесечие од учебната 2022/23 година<br>• Разгледување на извештаите од еднодневниот излет во Дељадровци за учениците од IV до IX одделение, еднодневниот излет на Чардак од I до III одделение, еднодневната екскурзија во Лешок од III одделение, дводневната екскузија на VI одд. во Дојран и тродневната екскурзија на IX одделение во Охрид<br>• Информација за доставената Молба од Ученичкиот Парламент и Барање од родителите од прво одделение<br>• Разно |
| 25. 01. 2023 | • Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение за првото полугодие од учебната 2022/23 година<br>• Разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето на крајот од првото полугодие за учебната 2022/23 година |
| 18.05.2023 | • Актуелните безбедносни состојби поттикнати од настаните со соседна Србија<br>• Разгледување на предлозите од паралелките за мерките кои би можело да се превземат за надминување на несакани состојби и овозможување на безбедна училишна средина<br>• Усвојување на предлог мерки за постигнување на безбедна училишна средина и пријатна атмосфера и комуникација во училиштето |
| 16.06.2023 | • Разгледување на успехот и поведението на учениците од деветто одделение на крајот од учебната 2022/23 година<br>• Континуирано одлични и првенец на генерацијата 2014-2023 година |
| 22.06.2023 | • Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до осмо одделение на крајот од учебната 2022/23 година<br>• Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2022/23 година |

## ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Наставниците во училиштето настојуваат да одржат чекор со сите образовни трендови и успешно да ја реализираат наставата со цел подигнување на квалитетот на истата и стекнување на трајни и применливи знаења. Професионалното усовршување на наставниците во училиштето се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Притоа, професионалното усовршување во

училиштето се остварува без да се наруши воспитно-образовниот процес во училиштето, за што грижа води директорот на училиштето, преку обезбедување на соодветна замена кога наставниците се отсутни од настава заради на различни форми на професионално усовршување.

Воспитно образвониот кадар во училиштето има изготвено личен план за професионален развој во учебната 2022/ 2023 година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции. На почетокот на учебната 2022/ 2023 година наставникот ментор Маја Виденовиќ одржа кратка работилница за изготвување на лични планови за професионален развој врз основа на самоевалуацијата на професионалните компетенции. Потоа наставниците во рамки на стручните активи успешно ги идентификуваа компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции. Наставниците од одделенска настава ја идентификуваа потребата од посета на обуки за имплементација на новите наставни програми, согласно новата Концепција за основно образование. После реализацијата на овие обуки на почетокот на учебната година, наставниците од одделенска настава интензивно соработуваа во рамките на стручните активи и во текот на годината стекнатите знаења од овие обуки (организирани од Бирото за развој на образованието) ги користат при секојдневната реализација на наставата. Соодветни обуки за имплементација на новата Концепција за основно образоваание добија и наставниците по англиски јазик и физичко и здравствено образование кои реализираат настава во одделенска настава.

Во текот на учебната 2022/ 2023 година наставниците посетија поголем број на обуки, вебинари и конференции во насока на подобрување на нивните професионални компетенции. Сите наставници во училиштето ги посетија соодветните обуки израни од Каталогот на акредитирани обуки од страна на МОН и БРО и тоа:

- Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата (подрачје Поучување и учење)
- Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво (подрачје Поучување и учење)
- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми (подрачје Поучување и учење)
- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)
- Справување со врсничко насилство и кибернасилство (подрачје Создавање стимулативна средина за учење)
- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици (подрачје Социјална и образовна инклузија)
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) (подрачје Професионален развој и професионална соработка)
- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима (подрачје Работа со наставниците) – обука која ја посетија стручните соработници во училиштето
- Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој ПРОГРАМА 1 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ) – обука која ја посетија стручните соработници во училиштето на крајот од второто полугодие

Најголем број од наставниците во нашето училиште ги посетија Едуино вебинарите:

- Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети
- Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени
- Развивање креативни вештини преку везуелни приказни
- Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети
- Улогата на ресурсниот центар во подршка на редовните основни училишта
- Предизвикувачко однесување - справување и добри практики
- Вовед во наставни компетенции со технолошка подршка на наставата
- Стимулација на говор во рана возраст + Cboard
- Вовед во формативно оценување
- Креирање тесстови и оценување
- Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF)
- Вовед во педагошки практики кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици
- ЕДУИНО 2Д Лабораторија - Ресурси за искуствено учење
- Вклучување на деца бегалци, мигранти без државјанство и баратели на азил во воспитно-образовниот процес
- Родителите и децата од дигиталната генерација
- Нови медиуми и социјални мрежи
- Говор на омраза во онлајн медиумите
- Визуелни дезинформации и фотофорензика

Наставниците Анета Топалова и Анета Чаковска ги посетија вебинарите: Како учионицу претворити у лабараторију?, Стем са мамом и татом, и Моја планета, моји еко-херои и ја, во организација на STEM zbornica. Наставничката Анета Топалова учествуваше и на обуки за изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма, како и обука за поддршка на училишните инклузивни тимови, во организација на БРО, како и обука за Имплементација на МКФ организирана од Здружението „Образование за сите“ и Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ. Настаавничката Анета Чаковска учествуваше и на eTwinning вебинаи: Оценување и сродни поими како мерење, вреднување, евалуација на стекнати знаења и вештини; Превртена училница; Апликација за Национална ознака за квалитет; eTwinning проекти во наставата и воннаставните активности. Во организација на Здружението на професори по географија истата учествуваше на вебинари: Улогата и значењето на географијата во креирањето на нови светски политики, а во организација на Македонско географско друштво на едукативен вебинар за професорите по географија. Во организација на ПМФ учествуваше на работилница Светскиот ден на геодиверзитетот, а во организација на УТМС -Институт за национална географија на обука Вештини за справување со различности.

Наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Ангеловски, учествуваше на состанок во рамки на проектот „Активни фамилии“

Наставникот Десанка Ѓорѓиевска учествуваше на Еднодневна интерактивна работилница за наставници од основните училишта на тема: „Собранието и граѓанското образование“.

Во текот на месец септември наставниците Анета Топалова и Маја Виденовиќ учествуваа на работилница - СТЕМ училишта, како да се зголеми интересот за СТЕМ наставата и како да се развие добра СТЕМ училишна стратегија. По враќањето истите ги споделија стекнатите знаења со наставниците во училиштето како почетен чекор за создавање на училишна клима која ќе има за цел да ги промовира СТЕМ науките.

На почетокот на првото полугодие од учебната 2022/ 2023 година наставникот ментор Маја Виденовиќ го заврши вториот дел од обуката за медиумска писменост, со што доби сертификат за имплементација на содржини за медиумска писменост во наставните предмети, согласно новата Концепција за основно образование. Исто така во овој период посети и неколку интернационални обуки: “Learner centered approach“ (Пристап со фокус на ученикот) и “Learn&Lead – Self management“ (Учи и води) во Вилниус, Литванија, по што истата се здоби со сертификат за интернационален обучувач за овие теми. Истата посети и обука “Building excellent schools based on the EFQM model of excellence” во Рига, Латвија.

Наставникот Маја Виденовиќ ја посети и обуката за обучувачи “What the future wants” организирана од Гете институт, на тема дигитално живеење и се здоби со можност да реализира ваков тип на обуки на национално ниво. Исто така во текот на првото полугодие наставникот присуствување и на две интенационални конференции. Во месец октомври присуствуваше на International Scientific Conference on Social Innovations Socin22, каде презентираше труд на тема: Using Games to Learn Cyber Security in a Sustainable Way. На конференцијата ULCA Pathway to excellence schools во Ружомберок, Словачка, реализираше работилница: Integration of digital tools to support active learning.

Во рамки на својот професионален развој наставникот Маја Виденовиќ ја посети и обуката “Edu-Hackathon with Google” во Брисел, Белгија на која беа креирани сценарија за учење базирани на инклузија и одржливост.

Наставникот Маја Виденовиќ учествуваше на обука ICT_INOV Methodology for innovators, и Make it Open Schooling во организација на European SchoolNet. Посети и вебинар STEM Alliance, Scientix and OneStream Webinar: A Coding Journey - From Classroom to Career. Истата учествуваше и со активности во рамки 2023 STEM Discovery Campaign и Make it Open Schooling Competition 2023.

Наставникот Анета Придаенкоска посети и неколку обуки во организација на British Council: Engaging with Learning outcomes, Understanding classroom language, Understanding assessment for learning, Engaging with assessment for learning, Understanding approaches to inclusive learning. Во организација на Филозофски факултет – центар за менаџмент на човечки ресурси Анета Придаенкоска и Марија Бошковска ја посетија обуката: Менталното здравје на младите и социјалните медиуми.

Во организација на American College наставникот во англиски јазик Даниела Здравева Стевковска ја посети обуката Teaching English to Young Learners: How Theory Can Inform Pedagogical Choices.

Наставникот Виолета Миноска учествуваше на работилница: Почетно ниво - градење на капацитетите кај просветните работници, на темата велосипедизам, оддржливост и безбедност во сообраќајот, во организација на Еко логик.

Наставникот Наташа Неданоска ја посети обуката Како до успешна Еразмус + апликација, во организација на Националната програма за европски образовни програми и мобилност.

Во текот на месец мај како дел од активностите за препознавање и справување со врсничко насилство, наставникот Анета Придаенкоска одржа работилница на тема: Кажи не на насилството и дискриманицијата преку игри.

Во текот на годината во училиштето беше формирана и заедница за учење, во која повеќе наставници заеднички ја следеа обуката Unlocking the Power of AI in Education, во организација на European SchoolNet. Наставниците Маја Виденовиќ, Фросина Алексовска, Ана Николовска Николова, Весна Димитрова, Анета Топалова и Анета Чаковска, заеднички во текот на 6 недели следеа обука, применуваа различни AI алатки во наставата и се подготвуваа за новите предизвици кои ги носи навлегувањето ан вештачката интелигенција во образованието. Наставникот Маја Виденовиќ доби и сертификат за Study Group Leader. Како продолжение на ова соработка наставниците Маја Виденовиќ, Анета Топалова и Весна Димитрова успешно ја заврпија и обуката Games in Schools 2023 во организација на European SchoolNet.

Во училиштето успешно се реализираат и различни облици на хоризонтално учење. Стручните активи во училиштето ги реализираат своите програми за работа во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови во одделенска и предметна настава, работилници според потребите на наставниците, презентации, решавање на одредени проблеми итн.

## Извештај
## за реализирани актвности од проектот на
## Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем
## Учебна 2022/23 год.

ООУ "Крсте Мисирков" се наоѓа во мултиетничка средина и во него целокупниот воспитно – образовен процес го следат ученици од различни етникуми. Училиштето е вклучено во проектот за Меѓуетничка итеграција во македонскиот образовен систем од учебната 2013/2014 година. Активностите за проектот се опфатени и во Годишната програма на училиштето.

Во таа насока склучено е партнерство со другі мултиетничкі училишта ООУ "25 Мај"- Скопје и ООУ„Кирил и Методиј"- с.Стајковци. Со партнер училиштата се ралізираат активности согласно програмата кои се однесуваат на запознавање со обичаиите, културата и традицијата на другите народи. Оваа учебна година поради новонастанатата ситуаци КОВИД-19 активностите се реализирани online и не се одржани планираните активности како што се спортските настани, заеднички екскурзии се со цел да се почитуваат препораките и безбедносните мерки и насоки дадени од Министерството за здравство.

За реализацијата на програмата во училиштето е формиран училишен тим за меѓуетничка итеграција СИТ. Тимот во училиштето е активен и функционален, поточно редовно планирање на заеднички активности, како и индивидуални активности, учество во дополнителни активности на ниво на општината, соработка со општината односно одговорното лице, планирање наинтерни активности кои се однесуваат на МИО и друго.

## Хоризонтално учење

Преку отворени часови, состаноци на стручни активи, дисеминација на стекнати знаења, работилници и слично, континуирано се вршеше пренесување на стекнатите знаења и размена на професионално искуство помеѓу наставниците.

## Стручни активи

Во училиштето работат три актива и тоа: актив на наставници од општествено-хуманитарна група предмети, актив на наставници од природна група предмети и актив на одделенска настава. Сите активи ја реализираа сопствената програма за работа за што постои записничка евиденција. Отворените часови беа посетени од страна на Директорот на училиштето, стручната служба и наставниците.

### Стручен актив на општествено хуманитарна група предмети за реализација на програмата во учебната 2022/2023 година

Членови на стручниот актив на групата:

1. Борјанка Саздова – француски јазик
2. Весна Димитриевска- француски јазик
3. Каролина Димовска- француски јазик
4. Благица Ристивојевиќ – македонски јазик
5. Мирјана Малјановска – македонски јазик
6. Фросина Алексовска – англиски јазик
7. Благица Атанасова- историја и одговорен наставник
8. Десанка Ѓеорѓиевска – граѓанско образование
9. Никола Наневски – ликовно образование
10. Ана Николова – македонски јазик
10. Оливера Костадиноска – англиски јазик
11. Анета Придаенкоска – англиски јазик
12. Фросина Цветковска Муратовска – музичко образование
13. Радица Цветковска Петковска – етика
14. Петар Ристоски – етика на религии

Стручниот актив на општествено хуманитарната група предмети во учебната 2022/2023 година работеше според предвидените активности од годишната програма.

- **Реализирани активности:**

**Јуни 2022- Планирање** на активности и содржини за реализација во стручниот актив во учебната 2022/2023 и поделба на задолженија за нејзина изработка.

**Јули 2022**

-Изработка и усвојување на програмата.

**Август 2022**

- Договор за правилна примена на кртитериуми и стандарди во оценувањето на постигањата на учениците преку стандардизирани тестови,писмени работи и наставни ливчиња.

**Септември 2022**

-Нагледен час :Личен идентитет, групен идентитет- усвојување на знаења за поимот идентитет и неговите карактеристики.

-Нагледно предавање: „Користење нагледни средства во наставата“

**Октомври 2022**

-Нагледен час :Ахроматски бои и тонско степенување.

-Нагледен час **:** Броеви од 1 до 20.

**Ноември 2022**

-Анализа на успехот и постигнувањата на учениците во првото тромесечие во училиштрето, реализација на додатна и дополн ителна настава.

-Нагледен час : Слушање музика Гудачки инструменти.

**Декември 2022**

-Стручно предавање :Употреба на интерактивни техники во наставата.

**Јануари 2023**

-Анализа на успехот и постигнувањата на учениците во првото полугодие во училиштето, реализација на додатна и дополнителна настава

-Споделување на меѓусебни искуства-примери од добри практики во римена на ИКТ во наставата.

**Февруари 2023**

-Издвојување на ученици кои покажуваат успех по соодветен предмет и нивно учество на натпревари ( училишни , општински, регионални).

**Март 2023**

-нагледен час : Стилска фигура епитет ( Шупелка –К.Миладинов )

-Пренесување на новостекнати сознанија и искуства од посетени обуки, работилници и научно-наставни конференции од страна на колегите во училиштето.

**Април 2023**

-нагледен час: усвојување граматичките структури - can,can't,could,couldn't ,should, shouldn't

- **Анализа** на успехот и постигнувањата на учениците во првото тримесечие и споредба со успехот во третото тримесечие , реализација на додатна и дополнителна настава.

**Мај 2023**

-Нагледен час : Лексичко значење на зборовите. Неологизми.

- Следење на однесувањето на учениците, како прв чекор во преземање на акција против врсничко насилство

**Јуни 2023**

- **Анализа** на работата на стручниот актив во учебната 2022/2023

## Стручен актив на природно математички предмети

Во текот на учебната 2022/ 2023 година стручниот актив на природно математичката група на предмети ги реализираше своите активности според планираната динамика. На почетокот на учебната година заеднички беше изготвена програмата за работа, посветувајќи внимавие на бројот на стручни предавања и работилници, со цел споделување на искуства,

знаења и добри практики од страна на наставниците, како и стекнати знаења на различни обуки во текот на годината.

Пред почетокот на учебната година заеднички беше извршена анализа и избор на програми за обука на наставниците од стручниот актив согласно Каталогот на акредитирани програми за обука. Со цел квалитетно изготвување на личните планови за професионален развој на почетокот на учебната година беше реализирана работилница за изготвување на лични планови за професионален развој од страна на Маја Виденовиќ, одговорниот наставник на стручниот актив.

На 14.10. 2022 се одржа работилница за изработка на природни сапуни од страна на наставникот Сашка Крстевски.

На 21.11.2022 се реализираше стручно предавање од страна на наставникот Маја Виденовиќ на тема: Компетенции за креирање на средина за учење со фокус на ученикот.

На 24.01.2023 наставникот по географија одржа стручно предавање на тема: Талентирани ученици.

На 10.03.2023 се одржа состанок на членовите на стручниот актив во кој тие споделија искуства и стекнати знаења од обуките организирани од БРО кои ги посетија во текот на првото полугодие од учебната 2022/ 2023 година.

На 15.03.2023 наставникот Анета Топалова одржа стручно предавање на тема Гејмификацијата –како метод на учење

Со цел усогласување на критериумите за оценување на наставниците на 27.03.2023 година се одржа состанок на кој наставникот Маја Виденовиќ реализираше работилница за усогласување на критериумите за оценување на наставниците при креирање тестови на знаење.

Во текот на учебната година беа одржани и неколку отворени часови.

- На 16.09.2022 година се одржа отвроен час по математика: Квадрат на број и квадратен корен од страна на наставникот Елена Новакова
- На 23.09.2022 година се одржа отворен час по физичко и здравствено образование: УОТ на низок старт со брзо трчање од страна на наставникот Дејан Ангеловски
- На 07.10.2022 година се одржа отворен час по физичко и здравствено образование: Увежбување на трчање со различно темпо од страна на наставникот Александар Цветковски
- На 28.11.2022 година се одржа отворен час по физичко и здравствено образование: Игра на два коша со примена на двочекор од страна на наставникот Бобан Величковски
- На 10.03.2023 се одржа отворен час по математика: Запишување на неправилна дропка во мешан број, од страна на наставникот по математика Билјана Велјановска
- На 22.05.2023 година се одржа отворен час по техничко образование: Конструирање модели по сопствена идеја, од наставникот Виолета Миноска

На 05.06.2023 година беше одржан состанок на стручниот актив на природно математичката група предмети на кој беше извршена анализа на постигнатите резултати на учениците на натпреварите од природната група предмети. На 30.06.2023 беше одржан состанок на кој се споделија стекнатите знаења од обуките организирани од БРО во второто полугодие од учебната 2022/ 2023 година. На истиот состанок се изврши анализа и на реализацијата на активностите од личните планови за професионален развој на наставниците, како и анализа на работата на стручниот актив во учебната 2022/ 2023 година.

Од извршената анализа на годишната програма за работа на стручниот актив, може да се забележи дека единствено отворениот час по математика, планиран од наставникот Анета Смилевска не е реализираан заради отсуство на наставникот. Со наставниците од стручниот актив дополнително беа реализирани и неколку средби на кои беше извршено планирање и се започна со изготвување на апликација за добивање на СТЕМ ознака на квалитет на ниво на училиште. Исто така се одржа и средба со педагогот во училиштето, Рената Стаменковска Младеновкса, на која се дискутираше за идентификација и спречуваање на врсничко насилство кај учениците.

Наставниците од стручниот актив редовно соработуваат помеѓу себе и се консултираат на различни теми поврзани со наставата и воннаставните активности. Исто така континуирано ги споделуваат и знаењата стекнати на различни обуки.

## Стручен актив од одделенска настава
## од реализација на програмата за прво полугодие
## од учебната 2022/2023 година

Според годишната програма за работа на стручниот актив на одделенска настава за учебната 2022/2023 година при ОУ ”Крсте Мисирков – Скопје” во второ полугодие реализирани се следниве активности:

1.Состанок на стручен актив со следниот Дневен ред: Акциско истражување на приправникот Ивана Милковска на тема „Користење на различни методи во наставата“;

2.Нагледен час на наставникот Јасминка Милошевска 2-4 одд. по математика тема-операции со броеви,наставна содржина Собирање и одземање до 100(собирок,збир,намаленик,намалител,разлика);

3.Нагледен час на наставникот Сузана Тошевска од 4-1 по македонски јазик, Т-Јазик и комуникација , наставна содржина Глаголи (граматичките категории лице и време).

4.Нагледен час на наставникот Лидија Димитриевска од 1-1 по математика ,тема - Операции со броеви, наставна содржина Собирање и одземање до 20 (собирање,одземање,плус,минус,еднакво).

5.Нагледен час на наставникот по англиски јазик Даниела Здравева Стевковска за трето одд.тема Јас и другите во непосредната околина Работилница Easter Activities Workshop.

6.Работилница - Засадување на рано градинарски култури во кој учествуваат тимот за работа на проектот во училиштето и тимот на ученици.

7.Нагледен час на наставникот Јасминка Милошевска IV-4 одд. по математика тема - Мерење должина;наставна содржина Мерење должина метар, центиметар, дециметар,мили-метар,километар;

8.Состанок на стручен актив со активности за квалитетно и функционално градење на учениците во здрави личности и нивниот животен пат и ситуации преку - Работилница за наставниците на тема: „КАЖИ НЕ НА НАСИЛСТВОТО И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ПРЕКУ ИГРИ“ од страна на наставникот по англиски јазик Анета Придаенковска и е дел од проектот на Еразмус+ „Say no to violence and discrimination by games“ и ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА на тема:„КАКО ДА ГО НЕГУВАМЕ ДРУГАРСТВОТО, ПОЧИТТА И МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА“ помеѓу ученици и наставници и Активност „Добри и лоши зборови“.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА, РАКОВОДЕН И СТРУЧЕН КАДАР

### Одделенски совет

| *Време на реализација* | *Содржина на работа* | *Носител на активноста* |
|---|---|---|
| 08. 11. 2022 | ▪ Број на состојба<br>▪ Реализација на материјалот (утврдување на општиот успех и поведение на учениците во првото тромесечие во учебната 2022/ 2023 година<br>▪ Адаптација на учениците во I и VI одделение<br>▪ Реализација на додатна, дополнителна и слободни ученички активности<br>▪ Средување на педагошка документација | Директор, Стручни соработници, Наставници |
| 16.01.2023 | ▪ Број на состојба<br>▪ Реализација на материјалот<br>▪ Утврдување на полугодишниот успех и поведението на учениците во I полугодие во учебната 2022/2023 година<br>▪ Реализација на додатна, дополнителна и слободни ученички активности<br>▪ Средување на педагошка документација<br>-дневници<br>-матични книги<br>▪ Извештаи од прегледани е-дневници<br>▪ Родителски средби и поделба на евидентни листи | Директор, Стручни соработници, Наставници |
| 04.04.2022 | ▪ Број на состојба<br>▪ Реализација на материјалот<br>▪ Утврдување на општиот успех и поведение на учениците во третото тромесечие во учебната 2022/ 2023 година<br>▪ Реализација на додатна, дополнителна и слободни ученички активности<br>▪ Средување на педагошка документација<br>▪ -дневници<br>▪ -матични книги | Директор, Стручни соработници, Наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ Извештаи од прегледани дневници<br>▪ Родителски средби и поделба на евидентни листи | |
| 14.06.2022<br>20.06.2023 | ▪ Број на состојба<br>▪ Реализација на материјалот<br>▪ Утврдување на општиот успех и поведение на учениците на крајот од учебната 2022/ 2023 година<br>▪ Реализација на додатна, дополнителна и слободни ученички активности<br>▪ Средување на педагошка документација<br>▪ -дневници<br>▪ -матични книги<br>▪ Извештаи од прегледани дневници<br>▪ Родителски средби и поделба на евидентни листи | Директор, Стручни соработници, Наставници |

## Наставнички совет

Наставничкиот совет е највисок стручен орган во училиштето кој води грижа за целокупната стручна и воспитно- образовна дејност во училиштето. Членови на Наставничкиот совет се сите вработени наставници, а со него раководи директорот на училиштето.

Наставничкиот совет работи по своја програма.

Задачи на Наставничкиот совет се:

- Утврдување на полугодишниот и годишниот успех на учениците
- Утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставата
- Разгледување и усвојување на извештаии, анализи, информации и сл. За постигањата на учениците во одредени периоди
- Стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар и др.

Наставничкиот совет освен планираните состаноци во Годишната програма за работа на Наставничкиот совет може да одржи состаноци кои ќе произлезат од тековните активности на училиштето.

Во периодот од 25.08.2022 заклучно со 22.06.2023 година Наставничкиот совет при ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје одржа вкупно **12** состаноци. Во содржината што следи се наведени информации за датата и дневниот ред на оддржаните состаноци на Наставничкиот совет.

**ЗАПИСНИК БР. 1**
**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 25.08.2022 ГОДИНА**
**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Информација (посета на инспекциски надзор за проверка на електронски дневници)
2. Евиденција и документација за воннаставни активности, додатна настава и дополнителна настава
3. Поделба на сведителства

4. Тековни информации( подготовки и почеток на учебна година, распределба на учениците од 5 одд од подрачното училиште во Брњарци ,заштеда на електрична енергија..)

**ЗАПИСНИК БР. 2**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 4.11.2022 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Извештај со оценка за реализација на еднодневен излет, дводневна и тридневна екскурзија

**ЗАПИСНИК БР. 3**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 9.11.2022 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Усвојување на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие од учебната 2022/23 година
2. Пополнување на педагошка евиденција и документација
3. Проследување на молба одученичка заедница
4. Проследување на молба од родители од прво одделение
5. Патронен празник
6. Обврски на одделенските раководители

**ЗАПИСНИК БР. 4**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 17.01.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Бројна положба
2. Усвојување на успехот и поведението на учениците од 1-9 одд во првото полугодие од учебната 2022/23 година
3. Реализирање на материјалот
4. Пополнување на педагошката документација и родителски средби

**ЗАПИСНИК БР. 5**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 27.01.2021 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Разгледување на извештај на ментор за сосвладување на основните професионални компетенции на наставникот приправник Ивана Милковска
2. Предлог на Наставникиот совет за полагање на приправнички испит за наставникот - приправник Ивана Милковска

**ЗАПИСНИК БР. 6**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 14.02.2021 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Усвојување на одлука за доделување на менторство на Маја Виденовиќ вработена во ОУ „Крсте Мисирков“ од општина Гази Баба за приправник Игор Илиевски вработен на определено време на итни и неодложни работи на работно место наставник по физичко и здравствено образование во ОУ „Вера Јоциќ“ од општина Гази Баба.

**ЗАПИСНИК БР. 7**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 13.03.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Разгледување на извештај на менторот Тања Метикош вработена во ООУ „Дане Крапчев од општина Гази Баба, за совладување на основните професионални компетенции на наставникот приправник Дарко Костиќ, вработен во ООУ „Крсте Мисирков“ од општина Гази Баба.
2. Предлог на Наставникиот совет за полагање на приправнички испит за наставникот - приправник Дарко Костиќ
3. Изрекување педагошки мерки
4. Информации за ХПВ вакцина

**ЗАПИСНИК БР. 8**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 05.04.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Бројна положба
2. Усвојување на успехот и поведението на учениците од 1-9 одд во третото тримесечие од учебната 2022/23 година
3. Разгледување на концепцијата за 6 одделение

**ЗАПИСНИК БР. 9**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 31.05.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Извештај со оценка за реализација на еднодневен излет со ученици од 1-9 одделение и настава во природа со ученици од 5 одделение
2. Одделенски испит по сите предмети за Давид Трајковски

**ЗАПИСНИК БР. 10**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 09.06.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Барање за полагање на одделенски испит по француски јазик за ученикот Владимир Зафировски
2. Одделенски испит по сите предмети за ученикот Анел Асановски

**ЗАПИСНИК БР. 11**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 16.06.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Усвојување на успехот и поведението на учениците од IX одделение на крајот од учебната 2022/23 година
2. Барање за полагање на одделенски испит по француски јазик за ученикот Кристијан Петровски

**ЗАПИСНИК БР. 12**

**ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 22.06.2023 ГОДИНА**

**ДНЕВЕН РЕД:**

3. Усвојување на успехот и поведението на учениците од I-VIII одделение на крајот од учебната 2022/23 година

## КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### Локална заедница

Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето настојуваше постојаната динамичност на нашето училиште јавно и транспарентно да ја презентира на поширокаата јавност како и целокупната работа на нашето училиште, сите залагања на учениците, наставниците и стручните соработници.

Нашето училиште беше во блиска соработка со општината при реализација на разновидни активности како што се: Примената на еколошката програма, реализација на разни собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, работилници, промоција на училишниот весник,

приемот на првачиња во Детската организација, Отворени Еко-денови, Промоција на активностите од МИО-проектот со партнер училиштето „25 Мај", ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци, ООУ „Кирил и Методиј"- Тетово, соработката со Пакомак, соработка со Поликлиника Ченто, Советодавен центар за родители и деца - Гази Баба, Црвениот Крст на Република Македонија.

**Соработка со институции од областа на културата**

За поголема и поуспешна промоција на училиштето во областа на културата посебно внимание беше посветено на соработката со институциите од областа на културата меѓу кои се: музеи, театри библиотеки, ликовни колонии, кино – сали и сл.

**Соработка со институции од областа на образованието**

- Соработката со институции од областа на образованието беше застапена во текот на учебната 2022-2023 година преку:
- Соработка со МОН при доставување на Годишна програма на училиштето, доставување извештаи од работата на училиштето и тековна соработки при воведување и реализација на сите промени и новини кои произлегуваа од министерството.
- Соработка со БРО во согласност со потребата за унапредување и модернизација на наставата
-Соработка со Општинскиот инспектор преку консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни прослави
-Соработката со Државниот просветен инспекторат (ДПИ) преку надзорот на овој орган на државната управа на: исполнување на образовните стандарди, обезбедување на квалитет во образованието, ефективноста преку евалуација на работата на воспитно образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието
- Соработка со основните и средните училишта која се одвива во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се натпревари, размена на искуства помеѓу наставниците и сл.

**Соработка со невладини организации**

Во текот на учебната 2022/2023 година училиштето оствари соработка и со невладини организации, меѓу кои:

- ❖ Советодавен центар за деца и родители - Гази Баба,
- ❖ ОХО-Проектот од програмата Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем
- ❖ СОС Детското село - Скопје
- ❖ Проект за основно образование – USAID, Меѓуетничка интеграција во образованието
- ❖ Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор"- Проектот „Со читање до лидерство"
- ❖ Еразмус+- Меѓународен проект „Find Your Balans" и Меѓународниот проект „Cooperation for innovation and the exchange of good practices"

**Соработка со медиуми**

Најголемата промоција на училиштето се врши преку официјалната web страна на училиштето: *km.edu.mk* , соработката со најразлични медиуми и медиумски куќи, меѓу кои: ТВ24, Интернет страната на општината Гази Баба, Интернет страната на училиштето, Дневни весници, Општински весник, Еко канцеларијата и др. институции.

# Од работата на тимот за естетско уредување при ООУ „Крсте Мисирков“, за Скопје во учебната 2022/2023 година

По конституирањето на тимот за естетско уредување, тимот ги анализираше потребите и ресурсите на училиштето за наредната учебна година и изготви акционен план за работа, кој потоа е и составен дел од Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2022 / 2023 година.

Според акциониот план изготвен за учебната 2022 / 2023 година тимот за естетско уредување на училиштето изведе низа на активности кои се планирани со програмата за естетско уредување.

Во текот на месец август се дискутираше за тековните подготовки на новата учебна година.

Во текот на периодот од август до декември континуирано се внимава за хортикултурното уредување на училишниот двор и саксиското цвеќе во присуство на наставници и дел од техничката служба.

Во текот на месец август и септември се правеа сите подготовки за реализација на наставата во учебната 2022/2023 година .Беа уредени училниците, ходниците, холот и влезот за првачињата.

Училиштето подготвено ги дочека учениците на првиот наставен ден. Естетиката на училниците и училишниот ентериер беше на високо ниво, со комплетно залагање на сите членови на тимот, директорот, но и на сите останати наставници во училиштето.

Почетокот на учебната 2022/2023 година и приемот на првачињата беше на 1 Септември,со декорација на училишниот хол и училниците за првачињата.

Во месец октомври се реализираа активности по повод одбележување на Детската недела и свечен прием на првачињата во Детската организација.

Активности имаше и за 11 Октомври и 23 Октомври,каде паноата беа соодветно наместени со творби.

Во месец Ноември беше одбележан денот на општината со изработки од хамери и денот на раѓањето на Крсте Мисирков- 18 Ноември,со спортски актовности.

На почетокот на месец декември училиштето се подготвуваше за декорирање на училиштето по повод претстојните Новогодишни празници, а по 15 Декември училниците, паноата пред училниците, холот и училишните ходници добија Новогодишен изглед.

Во текот на полугодишниот распуст на учениците, наставниците во училниците во кои изведуваат настава се подготвија за започнување на второто полугодие со

оспособување и редекорирање на училниците со нови нагледни средства потребни за совладување на целите на наставата за второто полугодие.

Второто полугодие започна во училници со пријатен и функционален ентериер во училиштето и училниците.

По повод одбележувањето на Денот на жената, тимот за естетско уредување спроведе активност за одбележување на 8 - ми март. Денот на мајката во нашето училиште.

Го одбележувавме е на Денот ( месецот ) на екологијата со садење на дрва и цвеќиња во училишниот двор.

За велигденските празници тимотнаправи доста декорации кои го украсија училишниот хол .

24 мај – Ден на Сесловенските просветители беше одбележан со истакнување на цртежи и творби од учениците на училишните пнос.

По завршувањето на учебната година, тимот за естетско уредување се состана и направи анализа за постигнатите резултати, каде утврди дека е задоволен од постигнатите резултати и ангажмани на членовите, а особено од постигнувањето и несебичното учество на учениците во реализирањето на активностите. Исто така, договорено е, во интерес на подготвување на новата програма за естетско уредување на училиштето, секој од тимот да размисли што би можело да се измени или додаде во креирањето на новата програма за учебната 2023-2024 година.

## Тим за манифестции

Тимот за манифестации после конституирањето направи годишен план за активности за оваа учебна година 2022/2023.

Тој е дел од Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2022/ 2023 година.

Тимот за манифестации редовно се состануваше и се договаравме тимски за подобра изведба на активностите.

По повод патрониот празник на училиштето, 18 ноември, беа организирани низа активности одржани од 14.11 до 18.11. 2022 година. Темата на активностите беше „Денови на Крсте Мисрков- Биди другар - подај рака“.

Во текот на овие пет работни дена се организираа следниве активности:

| **Краток опис на активноста** | **Ден на реализација** | **Име на наставник(наставници) кој ја реализира активноста** |
|---|---|---|
| Хор ,, Твојте очи Лено ,, | Петок 18.11.2022 | Фросина Цветкова |
| Паганини ,, Дует ,, | Петок 18.11.2022 | Фросина Цветкова |
| Химна за Крсте Мисирков | Петок 18.11.2022 | Фросина Цветкова |
| Спортски активности | Петок 18.11.2022 | Наставници по ФЗО |
| Магија или природни науки | Среда 16.11.2022 | Природно-математичка група |
| Мисли и цитати од Крсте Мисирков | Петок, 17.11.2022 | Благица Атанасова, Десанка Ѓорѓиевска |
| Литературен конкурс и литературно читање | Вторник, 15.11.2022 | Наставници по македонски јазик |
| Соученичко учење - Учениците од IX одделение ќе одржат презентација за Крсте Мисирков и ќе имаат краток квиз за проверка на знаењата со учениците од VI и VII одделение | Понеделник 14.11.2022 Вторник 15.11.2022 | Маја Виденовиќ |
| Лов на богатство - учениците од VI | Среда | Маја Виденовиќ |

| | | |
|---|---|---|
| одделение ќе скенираат QR кодови со прашања за Крсте Мисирков, и ќе се натпреваруваат кој прв ќе ги одговори сите прашања | 16.11.2022 | |
| Квиз - Меѓуодделенски натпревар по математика за учениците од VI и VII одделение | Четврток 17.11.2022 | Анета Смилевска<br>Елена Новакова |
| Изработка на илустриран француско-англиски речник | Среда 16.11.2022 и четврток 17.11.2022 | Весна Димитровска<br>Фросина Алексовска<br>Оливера Костадиновска |
| Изработка на портрет на Патронот на училиштето, цртежи и скулптури | Среда 16.11.2022 | Никола Наневски, ликовно образование |

Во петок, на 18.11.2022, во училишните сали беа организирани натпревари во фудбал, одбојка (предметна настава) и атлетика (одделенска настава). Спортскиот ден беше отворен со настап на хорот. Учениците од одделенска настава се претсавија со следните ритмички точки „Есента е златна кралица“, „Слатка тајна“ , Nathan Evans – Wellerman и една драматизација „Волшебна есенска случка“.

На 11.04.2023 година 40 ученици со 5 наставнички, успешно го претставија училиштето на детската емисија „Звон“.

Во претходна комуникација со продуцентот на емисијата, беше договорено сценарио. Емисијата започна со претставување на училиштето од страна на двајца ученици и водителката. Потоа се продолжи со претставување на хорот со песната „Лено мори“, по што следеше драматизација на мал дел од драмата „Бегалка“.

Во делот креативна работилница имавме ученички кои прикажаа домашно изработени бои и фарбаа велигденски јајца од солено тесто. Во нивното катче можеше да се забележат и други изработки и од наши ученици кои беа изложени.

Исто така имаше две ученички кои цртаа на штафелаи и на уметничкото пано имаше нивни изложени дела како и дела од други ученици на нашето училиште.

Следно беа претставени младите таленти од нашето училиште, сите од доменот на спортот и сите многу успешни за својата возраст. Облечени во својата спортска униформа и со многу медали околу вратот, учениците зборуваа за нивните успеси во тековндо, нордиско скијање, карате, кик бокс и пливање.

Нашето гостување беше крунисано со ритмичката точка на учениците од 4то и 5то одделение.

Како заклучок од посетата може да се извлече дека гостувањето беше успешно, децата беа примерни, исполнителни и на крајот задоволни од ова искуство.

| | | |
|---|---|---|
| Одбележување на 1-ви септемвти –Прием на првачињата | Приредба за првачињата<br>Прием на првачињата | септември |
| Одбележување на 11-ти | Запознавање на учениците | октомври |

| | | |
|---|---|---|
| октомври | со историското минато на нашата земја- творби од учениците . | |
| Одбележување на 23-ти Октомври –Ден на македонската револуционерна борба | Преку читање на реферат учениците го доближуваат минатото. | октомври |
| Патронен празник 18-ти Ноември | Одбележување на патрониот празник на училиштето со работилници-цртежи од учениците ,<br>Творење на песни ,кои се ставени на веб страната на училиштето. | ноември |
| Одбелешување на Св Климент Охридски | Читање на реферат и песни од децата ,цртежи. | декември |
| Отворен ден на граѓанско образование | Работилница посветена на детските права и одговорности.<br>Активности поврзнани со училиштето 25 Мај и соработка со OBSE. | декември |
| Одбележување на новогодишни празници | Изработка на новогодишни креации,украсување на училиштето по повод Нова Година. | декември |
| Одбележување на Денот на жената | Реферат и активност на ниво на паралелка | март |
| Одбележување на 21-ви април Ден на пролета и екологијата | Уредување на училишниот двор,садење на цвеќиња и уредување на холот | март |
| Одбележување на денот на шегата | Активности по повод денот на шегата и креативности на учениците | април |
| Одбележување на верски празник | Активности по повод велигденските празници | април |
| Одбележување на 22-ри април<br>Ден на планетата земја | Работни акции,работилници,стручни предавања | април |
| Одбележување на денот на трудот | реферат | мај |
| 4-ти мај | Истакнување на животот и делото на загинатите херои | мај |
| 24-ти мај | Одбележување на денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј | мај |
| 5-ти јуни | Светски ден за зачувување на животната средина | јуни |

# ПРОЕКТИ НА УЧИЛИШТЕТО

Оваа учебна година проектите во кои учествува нашето училиште се во мирување во однос на реализацијата на активностите. Секој проект согласно својата програма редовно одржува онлајн состаноци со членовите и тековно се планираат и спроведуваат одредени активности. Проекти во кои учествува нашето училиште се:

- Erasmus+ проект APPicLearning
- SAY NO TO VIOLENCE AND DISCRIMINATION BY GAMES
- Слоу Фуд Водно„Училишна градина-училница на иднината“

## Извештај
## Од реализирани активности од проектот Слоу Фуд Водно
## „Училишна градина-училница на иднината“

Во учебната 2022/2023 година нашето училиште продолжува да работи на проектот (кампања) спроведена од градот Скопје заедно со Факултетот за земјоделски науки и храна.Нашето училиште со веќе формираниот тим за работа од наставници и ученици.Тимот за работа на проектот на Слоу Фуд Водно „Училишната градина-училница на иднината“ ќе работи со цел подобрување на квалитетот и начинот на исхрана на младата популација.Да се негува животната средина ,природните добра и богатства. Младите генерации да ја негуваат, сакаат и применуваат во секојдневниот живот. Да се надминат недостатоците при обработка,добивање на органска храна,храна за здрав и подобар живот.

Од спроведените активности кои се случија во нашето училиште

- Одгледување и одржување на градината
- Собирање на производите од градината
- Есенско чистење на градината
- Одржана работилница за здрава храна по повод 16 – Октомври Светскиот ден за здрава храна
- Учество на промоција на третиот број Полжавче
- Учество на традиционален Словенечко-македонски појадок – во ресторанот Ореов лад –Скопје , под покровителство на Слоу Фуд –Скопје и Словенечката амбасада во Македонија
- Промоција на третиот број на списанието „Полжавче “ во ОУ „Владимир Положаровски“-Кичево
- Подготовки за правење на „Цветни бомби“
- Правење на „Цветни бомби“
- Бомбардирање со „Цветните бомби“
- Подготовки за засадување на градината
- Засадување на семки
- Засадување на градината со зеленчук
- Засадување на грав и јагоди

## Реализирани активности од страна на стручен соработник - педагог

Според годишната програма за работа на училишниот педагог за учебната 2022/2023 година, ова учебна година ги реализираше следниве работни задачи:

- Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето
- Советодавна-консултативна работа со наставници
- Следење на прилагодеността на новодојдените ученици
- Следење на процесот на преминот од одделенска настава во VI одд.
- Помош и насоки на наставниците при избор и примена на различни методи на наставна работа со цел мотивирање на учениците
- Професионално информирање и советување на наставници
- Подршка во изведувањето на систематските прегледи и вакцинирања на учениците
- Инструктивно-советодавна помош на наставници - почетници
- Следење и посета на часови преку апликацијата Teams

- Поддршка во планирање и реализирање на одделенски часови од Животни вештини и почитување на протоколите и алгоритмот за спречување и заштита од заразни болести во услови на пандемија
- Изработка на инструменти и постапки за следење и вреднување на постигнувањата на учениците
- Анализа на успехот на учениците по одделни предмети по класификациони периоди тримесечие, на целокупниот успех на полугодие, по пол, предмети, одделенија, етничка припадност
- Стручна помош и советување при изрекување педагошки мерки (опомени и казни)
- Стручна помош и советување при пофалба на ученици
- Изготвување на анализи и извештаи за потребите на училиштето и по барање на МОН, БРО, Општина Гази Баба
- Педагошка евиденција и документација
- Соработка со локална заедница и други институции
- Вклученост во Проектот за „Меѓуетничка интеграција на македонскиот образовен систем"
- Лично и стручно усовршување

## Реализирани активности од страна на стручен соработник – психолог

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот, од предвидените содржини и активности за учебната 2022/2023 година реализирани се:

1. Планирање и подготовка на работата на психологот
   - изготвување на годишна програма за сопствената работа
   - изготвување на месечни (оперативни) програми за сопствената работа со конкретизирани активности и содржини
2. Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште
   - учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето
   - учество во изготвување програми за работа со деца со посебни образовни потреби, ученици со емоционални потешкотии и со надарени учници (со педагогот и дефектологот)

3. Советодавна работа со учениците

- следење на прилагодеността на учениците од I и VI одд. деветгодишно образовение, како и на новодојдените ученици
- советодавно-инструктивна работа со учениците со три и повеќе слаби оценки, емоционални потешкотии и несоодветно однесување, кои изостануваат од наставата како и со учениците од семејства со социјален ризик
- евиденција од работата со овие ученици, наставниците и нивните родители

4. Работа со ученици со посебни образовни потреби

- запознавање на наставниците со децата со ПОП и со видот на нивната попреченост, посебно наставниците од I и VI одд. деветгодишно образование
- советодавно консултативна работа со нивните родители и евиденција на истата
- соработка со Центарот за социјални работи и Заводот за ментално здравје со цел подобрување на нивните постигнувања и социјалниот статус во паралелките
- следење на нивните постигнувања, емоционалниот и социјалниот развој на крајот на класификационите периоди

5. Работа со надарени ученици

- пополување на листи за надарени ученици по паралелки

6.Работа со ученици со потешкотии во учењето, прилагодувањето и однесувањето

- помош и поддршка на наставниците при откривање на ученици со потешкотии во учењето (деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат, деца со емоционални проблеми и слаба мотивација, како и деца со проблеми во однесувањето)
- советодавна работа со овие ученици и нивните родители и евиденција на истата

7. Запишување на учениците и формирање паралелки

- формирање на паралелки за прво одделение според дадените критериуми (три паралелки)
- запишување на нови ученици и нивно распределување во паралелки

8. Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните содржини

- следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, пол и етничка припадност на крајот на првото тримесечие и првото полугодие и крај на учебната година
- помош и поддршка на наставниците при планирање на додатна и дополнителна настава и слободни ученички активности
- следење на изрекување педагошки мерки за учениците
- учество во евидентирањето на освоените места и награди на учениците и учество на општински, регионални и републички натпревари

9.Работа на професионална информација и ориентација на учениците

10.Соработка со родителите

- индивидуална и групна советодавна работа со родителите
- реализирање на програмата за советување на родителите
- изготвување на месечен и неделен план за советување на родителите, пополнување обрасци за работа, како и записници од секое советување

11.Соработка со наставници

- помош и поддршка при изготвување на годишните и тематски планирања на наставниците
- инструктивно консултативни разговори со наставниците во врска со планирани методи на формативно оценување, како и водење рефлексивни забелешки во дневните подготовки
- посета на часови, инструменти за посета на час и евалуација на дневните подготовки
- консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови

- педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците

12.Соработка со стручни органи

- презентирање на извештаи за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети во текот на учебната година

-известување на наставниците за извештајот од посета на часови и евалуација на дневните подготовки

13.Аналитичко истражувачка работа

- изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди
- изготвување на извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава
- изготвување на извештај од одделенските совети
- учество во изготвување на годишниот извештај за работата на училиштето
- изготвување на годишен извештај за сопствената работа

14. Педагошка евиденција и документација

- редовно водење на сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа, изготвување оперативни програми за работа, евиденција од педагошко инструкривна и советодавна работата со наставници, родители и ученици, соработка со локална средина, документација од анлитичко истражувачка работа)
- водење на педагошки картон за работата на наставниците
- учество во водење на професионално досие на наставниците
- поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата (внесување на потребни податоци во педагошки картон)

15. Соработка со локална заедница и други институции

- соработка со МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија, Советодавен центар за родители и деца Гази Баба, социјални патролни работници од општина Гази Баба, Институт за психологија, Детска градинка „25 Мај”, основни и средни училишта од општина Гази Баба.

16. Соработка со Црвениот Крст на Р. Македонија

17. Лично и стручно усовршување

-Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима (подрачје Работа со наставниците)

-Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој ПРОГРАМА 1 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ)

## Годишен извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор во учебна 2022/2023 год

Согласно годишната програма за работа, специјалниот едукатор и рехабилитатор ги реализираше следните предвидени содржини и активности во учебната 2022-2023 година:

- Идентификација, евидентирање и ревидирање на списокот на учениците со посебни потреби за учебната 2022/2023 година
- Водење на педагошка документација и евиденција,
- Водење на дефектолошко досие за ученици со ПП
- Следење на прилагодеността на учениците во I и VI одделение

- Консултации и поддршка на наставниците околу изготвување на индивидуалните образовни планови за учениците со посебни потреби и давање насоки за учениците кои следат настава со учење од далечина
- Следење на учениците со посебни потреби за време на часовите
- Индивидуална работа со учениците со посебни потреби која опфаќа:
  - процена на психомоторика
  - вежби за психомоторна реедукација
  - развој на говорно-јазична комуникација (способност за слушање, разбирање и говор)
  - вежби за развој на фина моторика
  - вежби за читање и пишување
  - индивидуална работа за совладување на програмските содржини
- Учество во работата на тимот за инклузија
- Учество во работата на ученичка заедница/ученички парламент
- Учество во комисија за запишување на ученици во прво одделение
- Упатување на ученици со пп на фукнционална проценка
- Советодавно- консултативна работа со стручни соработници
- Советодавно-консултативна работа со наставници, родители и ученици
- Прегледување на тематски иоп-и
- Ревизија на ИОП (доколку е потребно)
- Учество во проект „Say NO to violence and discrimination by games“
- Учество при спроведување на проект „Биди ИН, биди ИНклузивен,биди ИНклудиран“, во организација на Фондација Чекор по чекор
- Учество во реализација на воннаставни активности со ученици со пп (учество во спортски активности „Спортот не познава граници“ организирани од општина Гази Баба и здружение за организација на спортски настани Га-Ба)
- Следење на обуки организирани од МОН и БРО:
  -Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивно-социоемоционална клима на час;
  - Изготвување на ИОП и модифицирана програма
- Следење на работилница:

-Кажи Не на насилство и дискриминација преку игри (Еразмус +)

- Следење на панел-дискусија

-Менталното здравје кај младите и социјалните медиуми- Филозофски факултет (Центар за менаџмент на човечки ресурси)

## Реализирани активности од страна на библиотекар
### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Во текот на учебната 2022/2023 год. беа реализирани сите активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварени поставените цели:

- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;
- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексикони и друг информативен материјал;
- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;
- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;
- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;
- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

| **Време на реализација** | **Реализирани задачи и активности** |
|---|---|
| **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ** | 1. Уредување на библиотеката. Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година.<br><br>2. Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН-потпечатување и делење на новодобиените учебници.<br><br>3. Формирање на нова библиотекарска секција со ученици од 6 и 7 одделение.<br><br>4. Активности со учениците од библиотекарската секција.<br><br>5. Одбележување на празникот 8 Септември.<br><br>6. Уредување на инвентарна книга и подготовка за Електронска библиотека. |
| **ДЕКЕМВРИ** | 1. Библиотекарска секција – часови по библиотекарство и креативни активности.<br>2. Одбележување на празникот Св. Климент Охридски.<br><br>3. Изготвување на полугодишен извештај.<br><br>4. Новогодишни активности со членовите од секцијата. |

| | |
|---|---|
| | 5. Попис на библиотечниот фонд и отпис на оштетени и нецелосни книги. |
| **ЈАНУАРИ- ФЕВРУАРИ** | 1. Посета на учениците од 3 одд. на училишната библиотека-разговор за задачите на библиотеката и библиотечната секција.<br>2. Активности со учениците од библиотекарската секција. |
| **МАРТ** | 1. Развоен план за библиотеката – приоритети, можности за надополнување на книжниот фонд.<br>2.Одбележување на празникот 8 Март-избор на најубава песна за мајката.<br>3.Одбележување на доаѓањето на пролетта со ученички литературни и ликовни творби.<br>4.Уредување на магацинот со учебници и пресметки за тековните електронски апликации и нарачка на бесплатните учебници од МОН. |
| **АПРИЛ** | 1.Почеток на акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>2.Одбележување на светскиот ден на детската книга 2 Април - активности со првачињата.<br>3.Донирање на лектирни изданија од ученици. |

| | |
|---|---|
| **МАЈ** | 1.Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>2.Активности со учениците од библиотекарската секција.<br>3.ИКТ- во класификацијата на книжниот фонд, стручна обработка и електронско внесување на книгите од училишната програма според стандардизирани правилници за библиотеки. |
| **ЈУНИ-ЈУЛИ** | 1. Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање, комисија за учебници, отпис на оштетени и плаќање на изгубените учебници.<br>2. Раздолжување на книгите од страна на членовите на училишната библиотека.<br>3. Доделување на дипломи и книги за најзаслужните ученици од училиштето .<br>4. Издавање на комплет-лектири за летниот распуст на учениците од 1 до 9 одделение.<br>5. Класификација на документација за библиотеки и библиотечно работење.<br>6. Уредување на библиотеката, чистење и заштита на книгите.<br>7. Збогатување на библиотечниот фонд со нови 79 изданија за стручна литература кои се донација од Арс Ламина, 102 донација на лектирни изданија од Арс Ламина и 60 донација од педагогот на училиштето. |

На крајот на учебната 2022/2023 год. според пописот бројната состојба на книжниот фонд со кој располага нашата библиотека е следнава:

**вкупно 13 471 примероци** од кои

-1627 се стручна литература,

- 10 011 се лектири,

- 75 сликовници,

- 107 земени од наставници,

- 105 во канцеларија,

- 210 книги од “Ѕвездите на класичната литература”,

- 5 сликовници за слепи лица,

- 90 должат ученици,

- 60 донација од педагогот

- 79 донација стручна литература,

- 102 донација на лектирни изданија,

- 1000 расходани пред пет години.

Од горенаведените **6325 се наслови на лектири од одделенска настава и 3686 предметна** . Дел од нив се нови, а дел се постари, но сеуште се во употреба. Освен наведените има и други лектири кои се многу оштетени и не се за употреба.

Библиотеката е подредена по азбучен ред, лектири по одделение, странски и домашни автори, проза и поезија, белетристика и стручна литература.

Евиденција за примопредавање и враќање на книгите од секаков тип се врши електронски преку софтверска програма.

Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно.

**СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ**

**Учебна 2023-2024**

| МЕСЕЦ | ПРЕДВИДЕНИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | -поделба на учебниците<br>-консултации околу избор на членови во библиотекарската секција<br>-консултации околу средувањето на паното<br>-разгледување на годишните планови и програми по македонски јазик (датуми и наслови на лектири за обработка)<br>-одбележување на празникот 8ми Септември |
| ОКТОМВРИ | -Одбележување на празниот 11 ти Октомври<br>-вклучување во акцијата ,,Подари книга“<br>-мислење за лектирни изданија и др. Литература кои недостасуваат во библиотеката или ги има во мали количини кои не ги задоволуваат потребите на наставата |
| НОЕМВРИ | -Присуство на стурчен актив на одд,. Наставници<br>-одбележување на роденденот на општина ,,Гази Баба“-3Ноември<br>-одбележување на празникот 13 ти Ноември<br>-припрема на учениците за драматизација<br>-организирање изложба |
| ДЕКЕМВРИ | -Новогодишно украсување на новогодишните паноа<br>-избор и прогласување на најактивен читател во прво полугодие |
| ЈАНУАРИ | -организирање анкета<br>-консултации и насоки за работата во второ полугодие |
| ФЕВРУАРИ | -Одбележување на празникот Св. Трифун<br>-список на најчитани и најомилени книги на учениците<br>-договор за заедничко присуство на културна манифестација<br>-договор за посета на саемот на книгата |
| МАРТ | -Одбележување на Денот на мајките 8ми Март<br>-присуство на стручен актив на одд. Наставници<br>-договор за посета на саемот на изд. Куќа Матица |
| АПРИЛ | -Одбележување на денот на шегата 1ви Април |

| | |
|---|---|
| | -одбележување на роденденот на Х.К.Андерсен<br>-избор на најдобра хумористична детска книга<br>-организирање на изложба<br>-украсување на паноата во училиштето по повод велигденските празници<br>-организирање на велигденски хепенинг<br>-договор за посета на саемот на книгата |
| МАЈ | -избор на омилен детски писател<br>-организирање и одбележување на патрониот празник на училиштето<br>-избор на ученички творби за литературно читање по повод патронот на училиштето<br>-одбележување на денот на просветителите Св. Кирил и Методиј |
| ЈУНИ | -враќање на книги во библиотеката<br>-примо-предавање на учебниците меѓу наставниците<br>-список на учебници кои треба да бидат порачани за наредната учебна година<br>-список на учебници за расходување и пакување на истите во кутии |
| ЈУЛИ | -лепење на стари оштетени учебници кои се сеуште за употреба |
| АВГУСТ | -договор и напатствија за работата во новата учебна година<br>-разгледување на годишните програми за новата учебна година |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„Крсте Мисирков” - Скопје
Тел. 02/2522-398, 02/ 2527-220
e-mail:krstem@yahoo.com

# ГОДИШЕН СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето во
учебната 2022/2023 година

# Ученици 2022/2023

| Одд. | Број на ученици според пол и етничка припадност | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | | | Срби | | | Роми | | | Власи | | | Бошњаци | | | Албанци | | | Турци | | | Друго | | | | | |
| | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | Вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| **I** | 18 | 28 | 46 | | | | | | | | | | 2 | 1 | 3 | | 2 | 2 | 1 | | 1 | | | | 21 | 31 | 52 |
| **II** | 29 | 24 | 53 | | | | | | | | | | 2 | 4 | 6 | | 2 | 2 | | | | | | | 31 | 30 | 61 |
| **III** | 29 | 29 | 59 | | | | | 1 | 1 | | | | 4 | | 4 | | | | 2 | | 2 | | | | 35 | 30 | 65 |
| **I-III** | 76 | 81 | 157 | | | | | 1 | 1 | | | | 8 | 5 | 13 | | 4 | 4 | 3 | | 3 | | | | 87 | 91 | 178 |
| **IV** | 30 | 23 | 53 | 1 | | 1 | 2 | | 2 | | | | 1 | 2 | 3 | | | | | | | | | | 34 | 25 | 59 |
| **V** | 22 | 26 | 48 | | | | 2 | | 2 | | | | 4 | 1 | 5 | | 1 | 1 | | | | | | | 28 | 28 | 56 |
| **VI** | 21 | 29 | 60 | | | | | | | | | | 4 | 2 | 6 | | 1 | 1 | | | | | | | 25 | 32 | 57 |
| **IV-VI** | 73 | 78 | 161 | 1 | | 1 | 4 | | 4 | | | | 9 | 5 | 14 | | 2 | 2 | | | | | | | 87 | 85 | 172 |
| **VII** | 30 | 28 | 58 | | | | | 1 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | | 1 | 1 | | | | | | | 31 | 32 | 63 |
| **VIII** | 31 | 24 | 55 | | | | | 2 | 2 | | | | 2 | 4 | 6 | | | | | 1 | 1 | 1 | | 1 | 34 | 31 | 65 |
| **IX** | 27 | 22 | 49 | | | | | | | | | | 4 | 2 | 6 | 1 | | 1 | | | | | | | 32 | 24 | 56 |
| **VII-IX** | 88 | 74 | 162 | | | | | 3 | 3 | | 1 | 1 | 7 | 7 | 14 | 1 | 1 | 2 | | 1 | 1 | 1 | | 1 | 97 | 87 | 184 |
| **I-V** | 128 | 120 | 258 | 1 | | 1 | 4 | 1 | 5 | | | | 13 | 8 | 21 | 5 | 5 | 5 | 3 | | 3 | | | | 146 | 144 | 293 |
| **VI-IX** | 109 | 103 | 222 | | | | | 3 | 3 | | 1 | 1 | 7 | 7 | 14 | 1 | 1 | 2 | | 1 | 1 | 1 | | 1 | 122 | 119 | 241 |
| **I-IX** | 237 | 233 | 480 | | | 1 | 4 | 4 | 8 | | 1 | 1 | 24 | 17 | 41 | 1 | 7 | 8 | 3 | 1 | 4 | 1 | | 1 | **271** | **263** | **534** |

**ПРЕГЛЕД**

на учениците на крај на учебната **2022/2023 година**

| Одделение | Македонски јазик | | Албански јазик | | Турски јазик | | Српски јазик | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| I | 21 | 31 | / | / | | / | / | / | 52 |
| II | 31 | 30 | / | / | / | / | / | / | 61 |
| III | 35 | 30 | / | / | / | / | / | / | 65 |
| IV | 34 | 25 | / | / | / | / | / | / | 59 |
| V | 28 | 28 | / | / | / | / | / | / | 56 |
| **I-V** | **149** | **114** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **293** |
| VI | 25 | 32 | / | / | / | / | / | / | 57 |
| VII | 31 | 32 | / | / | / | / | / | / | 63 |
| VIII | 34 | 31 | / | / | / | / | / | / | 65 |
| IX | 32 | 24 | / | / | / | / | / | / | 56 |
| **VI-IX** | **122** | **119** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **241** |
| **I-IX** | **271** | **233** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **534** |

**ПРЕГЛЕД**

на вкупниот број ученици во чисти паралелки и број на паралелки на крај на учебната 2022-2023 година во настава со македонски наставен јазик

| Училиште | Ученици и број на паралелки | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | **I-V** | | VI | | VII | | VIII | | IX | | **VI-IX** | | **I-IX** | |
| | П | У | П | У | П | У | П | У | П | У | **П** | **У** | П | У | П | У | П | У | П | У | **П** | **У** | **П** | **У** |
| **Централни I-IX** | 3 | 50 | 3 | 60 | 4 | 58 | 3 | 56 | 3 | 56 | **16** | **280** | 3 | 57 | 3 | 63 | 4 | 65 | 3 | 56 | **13** | **241** | **29** | **521** |
| **Подрачни I - IX** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** | **/** | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Подрачни I-IV** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** | **/** | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Вкупно** | 3 | 50 | 3 | 60 | 4 | 58 | 3 | 56 | 3 | 56 | **16** | **280** | 3 | 57 | 3 | 63 | 4 | 65 | 3 | 56 | **13** | **241** | **29** | **521** |

**ПРЕГЛЕД**

на вкупниот број ученици во комбинирани паралелки, вид и број на паралелки на крај на учебната 2022/2023 во настава со македонски наставен јазик

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | I-VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ком. I-III | | | Ком. II-IV | | | Ком. I-IV | | | Ком. V-VII | | | Ком. VI-IX | | | |
| | I | III | ВК | II | IV | ВК | I | IV | ВК | V | VII | ВК | VI | VII | ВК | ВК |
| **Централни I-IX** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Подрачни I – IX** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Подрачни I-IV Комбинирани** | 2 | 7 | 9 | 1 | 3 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 13 |
| **Вкупно** | 2 | 7 | 9 | 1 | 3 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 13 |

**ПРЕГЛЕД**

на вкупен број на наставен кадар на крај на учебната 2022/2023 година

| Наставен кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проф | Наст | Учит | Неоф. обр. | Вк. | Проф | Наст | Учит | Неоф. обр. | Вк. | |
| Македонски јазик | / | 20 | / | / | 20 | / | 29 | / | / | 29 | 49 |
| Албански јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Турски јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Српски јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | **/** | **20** | **/** | **/** | **20** | **/** | **29** | **/** | **/** | **29** | **49** |

**ПРЕГЛЕД**

на раководниот и стручниот кадар на крај на учебната 2022/2023 година

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, заменик и помошник на директор, педагог, психолог |
|---|---|---|---|---|
| | **ВСС** | **ВС** | | |
| Директор | ВСС | / | 22 години 10 месеци | 7 години 2 месеци |
| Заменик на директор | / | / | / | / |
| Помошник на директор | / | / | / | / |
| Педагог | ВСС | / | 14 години | 14 години |
| Психолог | ВСС | / | 10 год. 11 месеци | 10 год. 11 месеци |
| Дефектолог | ВСС | | 6 год. 11 месеци | 7 год. |
| Библиотекар | ВСС | / | 23 години | 9 години 11 месеци |

**ПРЕГЛЕД**

на изостаноците на учениците на крај на

учебната 2022/2023 година

| **Наставен јазик** | **Паралелка** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | оправдани | 1068 | 1174 | 1869 | 1757 | 1587 | 2584 | 1969 | 1928 | 1637 | 15573 |
| | неоправдани | / | / | / | 9 | / | 20 | 35 | 35 | 243 | 342 |
| | вкупно | 1068 | 1174 | 1869 | 1766 | 1587 | 2604 | 2004 | 1963 | 1880 | 15915 |
| Албански јазик | оправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | вкупно | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Турски Јазик | оправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | вкупно | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Српски јазик | оправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | вкупно | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**

на испишани и неоценети учениците на крај на

учебната 2022/2023 година

| **Паралелка** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Испишани | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 16 |
| Неоценети | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**

на поведението на учениците на крај на учебната 2022/2023 година

| Паралелка | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
- 23. Октомври ( ден на Внатрешно Револуционерната Организација на Македонија )
- 13. Ноември (ослободување на градот Скопје)
- 8. Декември (значењето на Св. Климент Охридски)
- 4. Февруари (одбележување на денот на раѓањето на Гоце Делчев)
- 8. Март (одбележување на меѓународниот ден на жената)
- 21,22. Март (одбележување на денот на пролетта, денот на екологијата – читање на пораки и пароли за заштита на чивотната средина)
- 15. Април (одбележување на христијанскиот празник Велигден – Обичаите и традицијата за големиот празник)
- 21. Април (одбележување на муслиманскиот празник бајрам – традицијата и обичаите за Бајрам)
- 4. Мај (одбележување на смртта на Гоце Делчев)
- 24. Мај (одбележување на денот на словенските просветители Цв. Кирил и Методиј)

На училишното радио активно учество земаа учениците од V одд., за некои настани се придружуваа и учениците **од II и IV одд.**

**Одд. наставник,Елена Мисајловска**

## 10. Подршка на учениците

### Постигнување на учениците

Во текот на учебната 2022 / 23 година континуирано се следеа постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се изготвуваа анализа на успехот по предмети, за учениците кои постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваа и надарените ученици за кои се планираше организираше додатна настава каде учениците ги продлабочуваа и прошируваа веќе стекнатите знаења. Исто така се идентификуваа и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Со нив стручните соработници реализираат советодавни разговори и ги упатуваат на ефикасни техники за учење и стекнување на работни навики и обврски.

### Поддршка во делот на општа добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Детството е период од животот во кој интензивно се одвива социоемоционалниот развој на поединецот. Процесот на социјализација, што почнува од раѓањето, е најинтензивен и најпрепознатлив токму во периодот на раното и на средното детство. И покрај тоа што развојот е континуиран процес што трае цел живот, сепак она што ќе се воспостави и ќе се изгради како основа во детството, повеќе или помалку, ќе појавува тенденција да се одржи и понатаму низ животот.
За таа цел во текот на учебната година се спроведоа низа активности, работилници, презентации за јакнење на интерперсоналните и интраперсоналните капацитети кај децата и вредносен систем за справување со животни предизвици!!!

Физичката, менталната и социјалната добросостојба се меѓусебно поврзани основни фактори за добри резултати од учењето. Доброто физичко здравје на ученикот ја подобрува вклученоста во образовниотпроцес особено кај популација со ниска образованост, го намалува отсуството и ги подобрува постигнувањата во образованиет.

Што се однесува до менталното здравје, не се работи само за отсуство на ментална болест. Менталното здравје е добросостојба која им овозможува на учениците да го остварат нивниот потенцијал во учење, да се справат во ситуационо стресни состојби, да останат поврзани со заедницата и пријателите, што придинесува кон социјална благосостојба

Покрај зголемување на можностите и изборите на една личност во животот, унапредувањето на физичката добросостојба и менталното здравје како основна образовна функција им помага на учениците да се подготват:

- успешно да го управуваат текот на нивното образование
- да изградат отпорност кон неповолни околности
- да развијат проактивни способности за справување со физичко и ментално лошо здравје.

Исто така, им обезбедува вештини и самодоверба самите да бараат помош за рано интервенирање ако е потребно.

**Постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоуптреба, занемарување и дискриминација**

Училиштето во текот на цела учебна година се грижи за општата добросотојба на учениците, за нивното емоционално, социјално, физичко и ментално здравје.

Одделенските раководители/наставници кои се постојано во непосреден контакт и интеракција со учениците имаат најдобар увид за целокупното функционирање на учениците, ги препознаваат промените во однесувањето, промените во постигнувањето на училишни резултати итн.

Секоја промена кај учениците во било кој сегмент од училишното функционирање ни алармира дека се случуваат извесни промени кои треба да се проследат и истражат.

Насилството, запоставеноста и злоупотребата на децата особено во најраните години, може да остави трајни последици врз развојот на нивното когнитивно функцирање

Ова може да резултира со тешкотии во учењето и ограничени социјални вештини, емоционално страдање. Исто така, овие деца имаат многу повеќе шанси да покажат ризично или деликвентно однесување, или да страдаат од депресија или анксиозност кога ќе бидат возрасни.

Сите облици на насилство, злоставување, злоупотреба или занемарување со кои се загрозува или нарушува физичкиот, психичкиот или интегритетот на детето претставуваат повреда на едно од основните човекови права, кое Конвенцијата за правата на детето го има подигнато на ниво на принцип односно начело, а тоа е правото на живот, опстанок и развој.

Училиштето – основното образование е клучна институција каде се следи растот и развојот на секој ученик.

Сите инволвирани субјекти во образовната институција се одговорни и треба да пријават до раководните органи на училиштето доколку се препознае или има сознание за дете-жртва на насилство.

Училиштето задолжително Случајот го проследува понатаму до надлежните институции МВР, Центар за социјална работа, МВР во соработка со Јавното обвинителство понатаму го процесираат случајот со цел спречување на понатамошна виктимизација

**Позитивна социо-емоционална клима**

Согласно програмата за Позитивна социо-емоционална клима во рамки на Годишната програма за работа на училилштето во учебната 2022 / 23 година во континуитет се реализираа активности со цел подобрување на социјалниот

и емоционалниот живот на учениците во училиштето и адаптација во поширокаta социјална средина, особено изминатиот период особено се стави акцент на Менталното здравје на учениците.
Во континуитет наставниците добиваа поддршка во идентификација на учениците од семејства од социјален ризик, ученици во кризни состојби, емоционални поттешкотии, односно ученици од различни ранливи категории( вулнерабилните категории), формирање на тимови за полесна идентификација на учениците од ранливите категории, реализиација на работилници со учениците и семејствата за полесно справување и давање поддршка на учениците од различни вулнерабилни категории, следење и примена на различни методи и техники со цел подобрување на социо-емоционалниот и когнитивен развој кај овие ученици, евалуирање на програмата за работа со ученици од ранливите категории на крајот од првото полугодие во учебната 2022 / 23 година.

**Поддршка во делот на Професионална ориентација на учениците**

Секоја професија има свои барања и специфичности. Разновидноста на професиите соодветствува со различноста на психофизичките способности кај поединците. Најчесто во секојдневниот живот професијата се идентификува со работно место, но има и разлики. Работата е резултат на личната активност, ангажираност, а професијата е оспособеност на човекот да извршува некоја работа. Целиот процес на професионална ориентација има само советодавен карактер, а конечната одлука за тоа како и каде ученикот ќе го продолжи школувањето го донесуваат семејството и ученикот, иако се присутни определени исклучоци.

**Професионална ориентација** - Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост.

Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

професионално информирање

професионално советување

евалуација-следење на остварeното советување

**Професионално информирање**-Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на професијата која би можел да ја избере.

**Професионално советување**-Професионалното советување е психотераписки процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и се применува континуирано низ целото основно образование, со особено акцентирање во деветто одделение.

**Евалуација-следење** Третата фаза на професионалната ориентација се одвива во периодот кога учениците не се веќе во основното училиште туку во некои од средните училишта, каде што се продолжува со следење на учениците.

**АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСМО И ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ**

| Активности | Цели | Носители на активности | Форми /Методи на работа | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| САМОСПОЗНАВАЊЕ | | | | | | |
| Вовед во професионална ориентација – „Зошто е важен вистински избор на професија и образование“ | Подигнување на свеста за важноста на вистински избор на образование и професија, Поим за професионална иреинтација како интегративен пристап во одлучувањето | Стручни соработници, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Презентација „Одберете професија за себе“ Дискусија, | Microsoft office - Power Point | Развивање на самосвест за самостојно одлучување за избор на образование и важност за вистински избор на образование | |
| Примена на стандардизиран психолошки тест на личност за процена на личните карактеристики | Самоспознавање на личните особености и карактеристики | Стручни соработници, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Forms/ електронска форма на тестот, | Психолошки тест на личност NEO-PI-R | Увид во личните потенцијали и карактеристики, Увид во усогласеноста на личните карактеристики и актуелните аспирации | |
| Примена на диференцијални професионални тестови за процена на професионални интерси и способности | Диференцијална процена на професионалните интереси и способности | Психолог, Одделенски раководители, Ученици од осмо и | Он лине тестовна проценка | Стандардизирани тестови за процена на професионалниинтереси и способности | Увид за специфични професионални интереси и способности | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | деветто одделение | | | | |
| Примена на проективна техника како механизам за увид во личните професиоанални интереси | Откривање на интрапсихички интереси, желби и склоности | Психолог, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Microsoft- 365 | Проективен есеј „Мојот професиоанлен простор“ | Спознавање на личните интереси, желби и склоности | |
| ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ | | | | | | |
| Презентирање на средните училишта | Запознавање со можностите и условите кои ги имаат училиштата | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Професори, стр. соработници од средните училишта | Презентации, Панел дискусии, | Microsoft office - Power Point, Брошури, | Препознавање на различни можности за образование согласно професионалните интеррси и желби | |
| ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА | | | | | | |
| Акета за избор на посакувано училиште | Конкретизирање на желбите и интересите за избор на соодветно образование | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници | Структурирана анкета за избор на образование | Microsoft- 365/ on line анкета или Печатени анкетни листови | Приближување на конечната одлука за изборот на образование | |
| Соработка со родителите за поддршка во донесување на самостојна одлука од страна на учениците за избор на посакувано училиште | Неутрализирање на родителското влијание врз изборот на професија, Улогата на родителското влијание во поддршаката на изборот на | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници | Презентација Панел дискусии Советодавна-консултативна соработка | Microsoft office - Power Point | Поттикнување на родителската улога во поддрша на изборот на професија, но не и директно влијание | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование/професија | | | | | |
| Индивидуална соработка и консултација согласно потребите на учениицте | Примена на стандардизирани тестови за процена на општа и специфични интелектаилни потенцијали | Ученици од деветто одделение Стручни соработници | Процена на способностите преку стандардизиран тестовен материјал | Стандардизиран тестови за општи и специфични способности Батерија ДАТ –Тест на интелигенција | Увид во специфичните и општите IQ потенцијали | |
| Сумирање на сите активности/резултати (лични к-ки, потенцијали, способности, професионални интереси, аспирации, можности) | Интерпретација на резултатите од сите активности во делот на лични к-ки, потенцијали, способности, интереси, аспирации, можности | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници | | | Конечна одлука во изборот на идно образование/професија | |

Извештај за посета од средни училишта кај деветите одделенија во период на месеците март-мај:

-06.03.2023год. Приватно средно училиште „Саба“

-30.03.2023год. Средно училиште на град Скопје „Димитар Влахов“

-03.04.2023год. Приватно средно училиште „Јахја Кемал“

-12.04.2023год. Средно училиште на град Скопје АСУЦ„Боро Петрушевски“

-12.04.2023год. Средно електротехничко училиште на град Скопје „Михајло Пупин“

-12.04.2023год. Средно училиште на град Скопје„Панче Арсовски“

-24.04.2023год. Приватно средно училиште „Мааријф“

-24.04.2023год. Средно училиште „Марија Кири-Склодовска“

-24.04.2023год. Средно училиште на град Скопје „Раде Јовчевски-Корчагин“

-09.05.2023год. Средно општинско училиште на град Скопје „Шаип Јусуф“

Од останатите средни училишта беа постирани линкови и информации за отворени денови за информирање на ученикот и родителите.

Тимот за професионална ориентација го сочинуваат Валентина Јовановска-психолог и одделенските раководители на IX одделенија Даниела Кузманоска и Соња Златевска.

## Извештај од од конкурсот за Избор на Првенец на Генерација 2014-2023

На објавениот конкурс за избор на Првенец на генерација конкурираа 5 (пет) ученици:

1. Андреа Петковиќ 9а одд
2. Филип Тодоров 9б одд
3. Ема Стоилковска 9б одд
4. Михаил Гиовски 9а одд
5. Ива Стефановска 9а одд

Комисијата ги разгледа поднесените документи на сите кандидати и врз основа на критериумите од Правилникот за избор на Првенец на генерација, кандидатите ги добија следните бодови врз основа на вреднуваните активности:
Ранг листа на освоени бодови од вреднуваните активности на сите кандидати :

| Ред бр | Име и презиме | одделение | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1 | Филип Тодоров | 9б | 135,8 |
| 2 | Ема Стоилковска | 9б | 97,9 |
| 3 | Михаил Гиовски | 9а | 65,9 |
| 4 | Андреа Петковиќ | 9а | 54,10 |
| 5 | Ива Стефановска | 9а | 22,1 |

Врз основа на Правилникот за Првенец на генерација член 13 и Законот за основно образование на РСМ член 75 став 3, за Првенец на генерација се прогласува Ученикот Филип Тодоров од 9б одделение со освоени 135,8 бодови.

Филип Тодоров постигна врвните резултати од различни научни области и вештини, високо стекнати интраперсонални и интерперсонални вештини, морални вредности и одговорни принципи

## 11 Грижа за здравјето

Во текот на целата учебна година училиштето има обврска да води грижа за здравјето на учениците како и преземање мерки за негово подобрување. На почетокот на учебната 2022 / 23 г. беше спроведена дезинсекција, дератизација и дезинфекција на целиот училишен простор во училиштето со цел да се спроведат превентивни мерки за заштита од вируси и болести.
Хигиената се одржува од страна на технички персонал со соодветни средства и распоред
-редовно врши целосна дезинфекција во училишната зграда и и просториите како и во училишниот двор.
Училиштето редовно набавува потребни средства за хигиена , соодветни неконтактни корпи за отпадоци, изработени корпи за селектиран отпад.
- Поставена чешма за филтер вода и се извршува редовна замена на филтерот
Грижата за здравјето на учениците се реализира преку следните активности:
-редовни систематски прегледи и имунизација на учениците, во соработка со здравствените институции во општина Гази Баба;
- одржување на личната хигиена преку интеракција наставник - ученик и ученик – ученик;
- унапредување на здравјето преку редовна физичка активност;
- редовно одржување на хигиената на училиштето и училишниот двор како и просторите каде учениците го поминуваат најголемиот дел од денот;
Во соработка со Поликлиника Ченто, општина Гази Баба во текот на учебната 2022 / 23 година беа спроведени систематски прегледи, прегледи на забите и вакцинација на учениците согласно календарот за вакцинација.

| **СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД** | | **ВАКЦИНА/ревакцина** | | | **СТОМАТОЛОШКИ систематски ПРЕГЛЕД** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ОДД.*** | ***ДАТА*** | ***ОДД.*** | ***ДАТА*** | ***ВАКЦИНА*** | ***ОДД.*** | ***ДАТА*** |
| **7-те одд.** | 13,14, и 15.12.2022 | 1а | 10.10.2022 | MRP | 7а,б,в | 12,13и14.09.22 |
| **3-те одд.** | **7,10 и 11.04.2023год** | 1б | 12.10.2022 | МРП | 6а;6б | 12.10.2022 |
| **1-те одд.** | **12 и 15.05.2023год** | 2а | 21.10.2022 | Ди-те пе/полио | 3а,б,в | 20,21 и 22.03.23г. |
| | | 2б | 25.10.2022 | Ди-те-пе/полио | 2а,б,в | 03,04, и 05.04.23г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2в | 26.10.2022 | Ди-те-пе/полио | 1б | 25.05.23г. |
| | | 9а,б | 11.11.2022 | ДТП | 1а | 26.05.23г. |
| | | 7а,б,в | 16.17.05.2023г. | ХПВ | | |

-Посета од институт за јавно здравје-мерење на висина и тежина на учениците од прво и второ одделение на 1.11.22г.

-Од Министерство за земјоделие. поделени се јаболка по 4 кг за секое дете како донација - здрава храна на 2.12.22г

- Изведени се два еднодневни излети, еден есенски излет до место Парк-шума Гази Баба на 10.11.22г.и еден пролетен излет до место Средно Водно на 06.06.23г.и релизирани се целите за развивање спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење кај учениците.

- Во соработка со граѓанско здружение под раководство на Д-р Снежана Милковска на 10.09.2023г.беше реализирана работилница “Здрава храна , здрави навики” дел од проектот: Здрава храна , чиј покровител е општина Гази Баба.Во работилницата учествуваа 30 ученика од различни паралелки од V- VIII одделение.

- Учество на конкурси, натпревари,работилници, саеми, манифестациии, одбележување на поважните датуми од светскиот календар и други активности кои се однесуваат на грижата за здравјето на учениците кои ги реализирале наставниците во текот на учебната 2022/23г.се содржани во нивната педагошка евиденција.

## 12 Училишна клима и односи во училиштето

**Дисциплина**

Дисциплината во училиштето се одржуваше со активно учество на сите субјекти, а со доследно спроведување на Кодексот на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени. Во училишните ходници и во училишниот двор за време на целиот наставен ден беше организирано со задолжително присуство на наставниците. Дежурството на наставниците беше изработено според распоредот на часови, во текот на првата недела од учебната година и според постојните протоколи и мерки согласно новонастанатите состојби- заканувачките пораки за боби во училиштето како и немилите настани во соседната земја беа воведени нови протоколи и зајакнати безбедносни мерки со одговорни лица задолжени за безбедност во училиштата како и адаптирани распореди за дежурства на наставниците е истакнато на видно место во наставничка канцеларија.

Дисциплината и редот е подржано и ја одржува и обезбдувањето на училиштето како и техничкиот персонал со соодветен распоред согласно новите протоколи.

**Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Во текот на учебна година одделенските и предметните наставници со активно учество придонесуваат за постојани промени во изгледот на училниците и просторот пред нив. Секоја паралелка има свое пано на кое во склад со одредени наставни содржини или одбележување на некој празник го уредува и со тоа се подобрува изгледот на училиштето.

Тимот за естетско уредување на просторот согласно предвидената програма и настани планирани и реализирани во училиштето естетски го уредуваа просторот согласно мотото и карактерот на настаните. Естетско уредување за време на јавни настапи и патронен празник на училиштето. Естетско уредување согласно сезоната/периодот во годината.

**Етички кодекси**

Етичките кодекси во нашето училиште се збир на начела, правила и општествени норми со кои се дефинира моралното однесување на учениците, наставниците, родителите, вработените и нивните меѓусебни односи. Однесувањето во согласност со етичките кодекси овозможи квалитетна организација и успешно извршување на задачите и целите на воспитно-образовната работа и за таа цел се истакнати на видно место во главниот хол, во наставничка канцеларија, училници и кабинети.

**Мулти-културализам**

## Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики за квалитетното образование во ООУ “Наум Наумовски Борче“ во рамките на воспитно-образовна дејност во учебната 2022/2023 година. Училиштето во рамките на својата работа се потпира на основните принципи и вредности на кои почива концепцијата на основното образование, тоа се промовирање на мултикултурализам и меѓуетничката соработка во образованието. Тргнувајќи од принципите на мултикултурност/интеркултурност и мултиетичност, содржините, методите и активностите кои ќе се реализираат во училиштето ќе ја промовираат толеранцијата и почитувањето на разликите, како вредности кои ќе овозможат стекнување знаења и вештини за разбирање и почитување на другите.

Нашето училиште го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазик и традиција. Училиштето исто така ќе допринесе да се развие свест кај учениците за своето културно потекло и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници. За таа цел нашето училиште воспостави партнерска соработка со ООУ,,Имри Елези”- Општина Чаир, во спроведување на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието. Заедничка цел ни е да се надминат предрасудите, стереотипите и да се развие чувство на заедничка припадност, толеранција и почитување меѓу учениците од различна етничка, јазична и културна припадност.

Соработката на учениците од нашите училишта, и спроведувањето на заедничките активности ќе овозможи развивање на граѓанска свест кај учениците за припадност на државата и негување на националниот и културниот идентитет, во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност, физичките или менталните способности.

Нашето училиште и во учебната 2022/2023 година, ќе ја продолжи соработка со сите основни училишта во Општина Гази Баба во спроведување на заеднички активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Основните училишта во Општина Гази Баба ја одразуваат демографската структура на населението и претставуваат пример за мултикултурно и мултиетничко општество. Во овие микроопштествени средини учат ученици Македонци, Албанци, Роми, Турци, Бошњаци, Срби, Власи и други, и тоа во еднојазични македонски или албански училишта или во двојазични училишта, на македонски и албански наставен јазик. Во нив постои позитивна клима и посветеност кон унапредување на соработката и интегрирање на учениците од различна етничка, јазична, религиска и друга структура. Нашата општина беше една од најактивните во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието во однос на реализација на самостојни и заеднички МИО активности, но и во поглед на искористеност на грантови и ресурси кои ги нуди МОН, ОБСЕ, УСАИД и други партнери и пријатели на образованието и на интеграцијата на учениците од етнички аспект. Ефектите од овие проекти и заеднички активности на учениците се трајни и далекусежни, бидејќи тие истовремено работат на себе и сопствената личност за зголемување на толеранцијата и прифаќање на различностите, но на својата непосредна средина, од каде што потекнуваат овие ученици. Забележително беше и родителското вклучување во заедничките активности што придонесе кон зајакнување на капацитетите и поддршката на училиштата, вклучително и наставниците, во градење на овие трајни вредности.

ООУ “Наум Наумовски Борче“ и оваа учебна година продолжи со поддршка и спроведување на активности кои промовираат меѓуетничка интеграција во образованието, со цел учениците да можат да ги препознаат, и да уживаат во вредностите на мултиетничкото и мултикултурното богатство на нашата земја изразени низ мисијата и визијата на нашето училиште.

Нашето училиште активно води политика за недискриминација на учениците од сите аспекти, а особено со имплементација на Проектот за меѓуетничката интеграција, се афирмира мултикултурализмот и се потенцира почитувањето на различностите меѓу учениците. Согласно програмата одржани работилници со учениците.

Аплицирање за гранд од МОН со ОУ,, Братство и Единство” с. Коњари. Учество согласно стратегија на локално ниво заедно со сите училишта на ниво на Гази Баба и акционен план за оваа учебна година. На ден 30.06.2023 се случи склучување меморандум за соработка со ООУ,,25 Мај” и ООУ,, Дане Крапчев” – добиен гранд при апликација за проект,,Градиме нови мостови” –подржан од ООБСЕ која беше поднесена на 30.04.2023 година

## 13 Професионален развој на образовниот кадар

**Цели и задачи:** Вклучување на наставниците во континуиран професионален развој - услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот постојано да ги развива своите компетенции со цел да достигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со современите трендови и со барањата на модерниот свет. Унапредувањето на основните професионални компетенции на наставниците опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања и професионални способности и вештини во следните подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;

2. Поучување и учење (планирање и подготовка на наставата, реализација на наставата, оценување на учениците, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби);

3. Создавање на стимулативна средина за учење (создавање на безбедна средина за учење и училишна клима);

4. Социјална и образовна инклузија;

5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата и

6. Професионален развој и професионална соработка.

**Присуство на семинари,обуки,конференции, конгреси, симпозиуми:(2022/23 год.)**

| Ред. број | Наставник/ стручен соработник | Тема на обуката, семинар, работилница | Организатор на обуката | Улога на нас. | Времетрање (во часови) | Датум и место на одржување на обуката | Прилог – сертификат, друг доказ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Александа С. Соња Н, Дијана Н, Гордана Ѓ,Елена М,Снежана В, Лилјана С, Маја С, Снежана П.Б, | Едуино вебинар Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети | МОН, БРО | слушател | 2 | 29.09.2022 | Сертификат за стекнати знаења |
| 2 | Маја С. | Едуино вебинар Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети | МОН, БРО | слушател | 6 | 29.09.2022 | Сертификат за применети знаења |
| 3 | Марија И,Дијана Н, Виолета С, Гордана Ѓ, Елена М, Лилјана С, Маја С. Снежана П.Б, Билјана Д, Марија Н.Н, Никола Н, | Едуино вебинар Развивање на креативни вештини преку визуелни приказни | МОН, БРО | слушател | 2 | 05.10.2022 | Сертификат за стекнати знаења онлајн |
| 4 | Маја С., Виолета С. | Едуино вебинар Развивање на креативни вештини преку визуелни приказни | МОН, БРО | слушател | 6 | 05.10.2022 | Сертификат за применети знаења |
| 5 | Соња Н, Виолета С, Маја С, Гордана Ѓ, Елена М, | Едуино вебинар Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени | МОН, БРО | слушател | 2 | 13.10.2022 | Сертификат за стекнати знаења |
| 6 | Маја С. | Едуино вебинар Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени | МОН, БРО | слушател | 6 | 13.10.2022 | Сертификат за применети знаења |
| 7 | Маја С., | Обука-Професионална соработка на наставници(стручни активи, заедници за учење,менторство и сл.) | БРО, Цес академија | слушател | 8 | 3-4.11.2022 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Маја С. | Обука за интеркултурно образование (МОДУЛ А) | Нансен тренинг центар | слушател | 20 | Мај-октомври 2022 г. 6 работилници | Сертификат |
| 9 | Елизабета Т. Марија И, Дијана Н, Маја С. Виолета С, Гордана Ѓ, Снежана В, Лилјана С,Маја Д.Б, Марија Н.Н, Никола Н, | Едуино вебинар „Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF)“ | МОН, БРО | слушател | 2 | 08.11.2022 05,10,2022 | Сертификат за стекнати знаења онлајн |
| 10 | Дијана Н, Виолета С, МајаС. Гордана Ѓ, Елена М, Снежана В, Снежана П.Б, | Едуино вебинар „Стимулација на говор во рана возраст + Cboard“ | МОН, БРО онлајн | слушател | 2 | 24.11.2022 | Сертификат за стекнати знаења |
| 11 | Маја С. Снежана В, Лилјана С, | Едуино вебинар:Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + Водич за инклузивни практики“ | МОН, БРО | слушател | 2 | 29.11.2022 | Сертификат за стекнати знаења |
| 12 | Маја С. Виолета С, Дијана Н. Гордана Ѓ, Маја Д.Б, Никола Н,Моника Г. | Едуино вебинар „Предизвикувачко однесување - справување и добри практики“ | МОН, БРО онлајн | слушател | 2 | 01.12.2022 | Сертификат за стекнати знаења |
| 13 | Маја С. Дијана Н, | Добри практики со користење на мобилните апликации во СТЕМ наставата“-Предавачи Игор Богдановски и Игор Николовски | Center for innovations and digital education Dig-Ed | слушател | 2 | 21.12.2022 | Сертификат |
| 14 | Марија Д. Александра С. Анета П, Соња Н. Дијана Н, Елена М, Снежана П.Б, | Инклузија и пристапи во поучувањето на учениците со посебни образовни потреби -обучувач Лидија Петровска предаваше Билјана Теовска / | БРО | слушател | 8часа30 мин | 03.11-04.11.2022ОО У„Кирил и Методиј“ | mail кај директор за присуство Сертификат |
| 15 | Марија Д. Дијана Н, | Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатски промени | Едуино вебинар | слушател | 2часа | 13.10.2022 | сертификат |
| 16 | Марија Д. | Интернационален натпревар | Здружение на информатичари на Македонија | слушател | | ноември | уверение |
| 17 | Марија Д. Снежана П.Б, | Интеркултурно образование | Нансен Дијалог Центар Скопје/ МОН и Советот за интегрирано образование на Северна Ирска | слушател | 20 часа | мај 2022 – октомври 2022 | сертификат |
| 18 | Катерина Ј. Виолета С, Маја Д.Б, Даниела К, Сања П, Весна Т, Валентина К, Билјана В, Билјана Д,Фросина Р.Наталија М.Ѓ. | Учење на далечина- Интернет-апликации и платформи за учење | БРО Ангелка Андрески | слушател | 10:30 – 19:30 | 29.11.2022 Фондација Никола Кљусев- Скопје | |
| 19 | Александра С. Елена М, Снежана П.Б, | 31st Pan-European Conference on Digital Education. | Primera Courses | | 1час 30 min. | 27.09.2022 | сертификат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Марија И, Дијана Н. | ,,Акциско истражување-наставни ците истражувачи втор дел,, | ООУ,,Блаже Конески,, | слушател | 2 | 27.09.2022 | сертификат онлајн |
| 21 | Марија И,Дијана Н. Соња Н, Виолета С, Гордана Ѓ, Лилјана С, Марија Н.Н, Никола Н, | ,,Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта,, | Едуино платформа-БРО | слушател | 2 | 27.10.2022 | сертификат онлајн |
| 22 | Марија И,Дијана Н. Лилјана С. | ,,Учење преку истражување,работа на проект и решавање на проблеми'' | ООУ,,Крум Тошев'' | слушател | 4 + 4 ч 2 дена | 11.11.2022 и 14.11.1011 | сертификат |
| 23 | Дијана Н. | Вебинар-„Новите програми во корелација со eTwinning проекти“-Предавач Силвана Крстевска Етвининг амбасадор | еТвининг центарот при Национална агенција за европски образовни програми и мобилност – | слушател | 40 минути | 25.10.2022 | / |
| 24 | Дијана Н. | Вебинар-„Проектирање еТвининг проекти–Предавач Аида Петровска Етвининг амбасадор | еТвининг центарот при Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | слушател | 40минути | 27.10.2022 | / |
| 25 | Дијана Н. | Вебинар-Методи и пристапи за учење преку игра.Користење на ИТ алатка WORLD WALL–Предавач Силвана Крстевска Етвининг амбасадор | еТвининг центарот при Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | слушател | 40минути | 31.10.2022 | / |
| 26 | Дијана Н. Виолета С. Елена М, Снежана П.Б, | Интегрирана СТЕМ настава со приод кон неСТЕМ предметите“ | LEAD предавач Силвана Крстевска | слушател | 3часа | 29.11.2022 | сертификат |
| 27 | Дијана Н. Виолета С, | „Интегрирање на професионалниот развој и кариерното советување во наставата“ | LEAD Лидери за едукација, активизам,и развој Предавач Марија | слушател | 3часа | 28.11.2022 | сертификат |
| 28 | Дијана Н. Калина П.Анета П. | Обука- Изготвување Индивидуален образовен план (ИОП) и Модифицирана програма | БРО | слушател | 2 дена | 24-25.11.2022 | Сертификат во тек |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Виолета С, Гордана Ѓ, | ,,Интерперсонална комуникација ,, | Училишен психолог, Валентина Ј. | учесник | 1 час 30 мин. | 15.06.2022 г. ООУ,,Наум Н. – Борче ,, | Извештај за спроведена обука |
| 30 | Виолета С, Гордана Ѓ, Наталија М.Ѓ. | Креирање тестови на знаење и оценување | Мировен корпус | учесник | 2 часа | 28.06.2022 г.онлајн | сертификат |
| 31 | Виолета С, Гордана Ѓ, | Едуино 2Д лабораторија- ресурс за искуствено учење | ЕДУИНО-вебинари | учесник | 2 часа | 06.12.2022 г. онлајн | сертификат |
| 32 | Лилјана С. | „Собранието и граѓанското образование“ | Парламентарен институт на Собранието на РС Македонија | учесник | 5 часа | 30.09.2022 Собрание на РСМ | сертификат |
| 33 | Елена М, Оливера Ф, | Медиумска култура и писменот- дел од концептот за V одд. | БРО | | | 14,15.09.22 | |
| 34 | Елена М, Снежана П.Б, | 32nd Pan-European Conference on Digital Education. | Primera Courses | | | 24.11.2022 | |
| 35 | Елена М, Снежана П.Б, | 33rd Pan-European Conference on Digital Education. | Primera Courses | | | 22.12.2022 | |
| 36 | Елена М, Снежана П.Б, | Учење низ игра | Институт за модернообразов, Белград | | | 2.12.2022 | |
| 37 | Елена М, Снежана П.Б, | Чадорот како нагледно средство во наставата | Институт за модернообразов, Белград | | | 14.12.2022 | |
| 38 | Оливера Ф,Катарина М, | Справување со врсничко насилство и кибернасилство | БРО-ЗПГМ, проф.д-р Љубе Миленковски | | 9 часа | 17.11.2022 ООУ.Кирил и Методиј | сертификат |
| 39 | Катарина М, Соња А, Соња З, | Справување со сајбер насилство | МОН | | 8 часа | 17.11.2022 | Сертификат |
| 40 | Катарина М, | Вебинар Геодиверзитет | ПМФ – Географија | | 4 часа | 16.11.2022 | Сертификат |
| 41 | Маја Д.Б, | Обука „ Денови на психологијата“ | МСУ „Меѓународен Славјански Универзитет’ | учесник | 5 часа | 26.11.2022 | сертификат |
| 42 | Даниела К, | Нова концепција за петто одд, | БРО | учесник | 6 часа | 30.08.2022 | |
| 43 | Даниела К, | Работилница за натпревари по природни науки | Македонско био лошко друштво | учесник | 1 час | 12.01.2023 | |
| 44 | Снежана П.Б, | Methodology for YLE | Pearson | слушател | 1 час | 20.10.2022 | сертификат |
| 45 | Марија Н.Н, | Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците | МОН | учесник | 2 дена | 14, 15.11.2022 | / |
| 46 | Марија Н.Н, Никола Н, | Devojčica Pipeta u svetu nauke i tehnike | STEM zbornica | учесник | 90 мин | 25.10.2022 | |
| 47 | Никола Н, | примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | МОН | учесник | 2 дена | 10, 11.11.2022 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | Калина П. Валентина Ј, | Планирање и реализација на наставата според Новата Концепција за основно образование | МОН; БРО | учесник | 4 ч. | 27,10,2022 | |
| 49 | Калина П. Валентина Ј, Ленче С. | Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците , справување со проблематично однесување и создавање на социо-емоционална клима на час | МОН; БРО | учесник | 9 ч. | 02.12.2022 | |
| 50 | Фросина Р. | Планирање и реализација на наставата по природни науки во V (петто) одделение според новата концепција за основно образование и новата наставна програма по природни науки за V (петто) одделение. | БРО | учесник | 30.08 22г 2 часа | Он-лине платформа тимс | Список од БРО |
| 51 | Марија Д. | Еразмус + GREEN&STEM | Сојуз на истражувачи | слушател | 8часа | 19.09.2022 | сертификат |
| 52 | Марија Д.Катерина Ј. Елизабета Т.Дијана Н. Виолета С. Снежана В. Лилјана С, Маја С, Снежана П.Б.Моника Г. | Шах како изборен предмет во основните училишта | Шаховска федерација на Македонија | слушател | 2 часа | Март 2023 7,02,2023 | Сертификат за обучен предавач |
| 53 | Марија Д. | „Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво“ | Педагошкиот факултет при универзитет „ Св. Кирил и Методиј “ Скопје и Здружението на информатичарите на Македонија, Скопје. | активен слушател | 8часа | 22.06.2023 | |
| 54 | Катерина Ј. Соња Н. | Самоеволуција на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште | БРО Д-р Македонка Виларова | слушател | 8 часа | Ооу “Ѓорѓија Пулески” - Аеродром, Скопје 15.06.2023 | Сертификат |
| 55 | Катерина Ј. | Стандарди за интеркултурно основно образование | | | | 23,06,2023 | |
| 56 | Анета П. Дијана Н. | Учество на мултипликативниот настан Е2-Помошни алатки за наставниците со цел подигнување на инклузија во училиштата | Организиран во рамките на Еразмус+ проектот- Инклузивна училница :МКФ како алатка за | слушател | 4часа | 02.03.2023 | Сертификат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | решавање на проблемите во тимот околу детето во образовен контекст | | | | |
| 57 | Марија Д. Сања Г. Соња Н. | Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | АкдемијаЦ.Е.С. | активен слушател | 8 часа | февруари | сертификат |
| 58 | Соња Н. Даниела К. | Проект -фондација Песталоци Троген Швајцарија | Фондација,,Отворете ги прозорците,, | Супервизор | 30 мај до 13 јуни | Троген-Швајцарија | сертификат |
| 59 | Дијана Н. | Успешно реализиран настан по повод меѓународниот ден на батеријата | Друштво за управување со отпад Нула отпад ДОО Скопје | Учесници | 2часа | 18 Февруари | Благодарница |
| 60 | Дијана Н.Лилјана С, Маја Д.Б. Даниела Кар. | Претставувањето на медиумите стереотипи и предрасуди | Едуино вебинар | Слушател | 2 часа | 26.04.2023 | |
| 61 | Виолета С. Калина П. Даниела Кар. Валентина П. Елена М, Анета П. Дијана Н. Марија Д. Снежана Б. | Инклузивна училница ; МКФ како алатка за решавање на проблеми во тимот околу детето во образовен контекс | Општина Гази Баба-Национална агенција за Европски образовни програми и мобилност | Слушател | 4 Часа | 02.03.2023 | сертификат |
| 62 | Гордана Ѓ, Оливера Ф. Калина П., Даниела Ка. | Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и барателиа на азил во воспитно-образовниот процес | ЕДУИНО-вебинари | учесник | 2 часа | 01.02.2023 г. онлајн | Сертификат |
| 63 | Гордана Ѓ, | Емоционална писменост | МОН | учесник | 2 дена | 03.2023 г -ДСУ,,Илија Николовски Луј,, | Сертификат |
| 64 | Елена М, | Помошни алатки за наставници со цел подигнување на инклузија во училиштата | Национална агенција за Европски образовни програми и мобилност | Слушател | 4 часа | 02.03.23 | сертификат |
| 65 | Елена М, Маја Д.Б. Даниела Ка. | Родители и деца од дигиталната генерација | ЕДУИНОвебинар | Слушател | 2 часа | 30.03.23 | сертификат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66 | Елена М, Лилјана С, Маја Д.Б. Снежана П.Б.Даниела Ка. Калина П. | Визуелни дезинформации и фотофорензика | Едуино вебинар | Слушател | 2 часа | 06.04.23 | сертификат |
| 67 | Елена М, Лилјана С, Маја Д.Б. Моника Г.Даниела Ка. Калина П. | Говор на омраза во онлајн медиумите | Едуино вебинар | Слушател | 2 часа | 10.04.23 | сертификат |
| 68 | Елена М, | Како да го добиете вниманието на учениците | Институт за модерно образование – Белград | Слушател | 1 час | 10.04.23 | сертификат |
| 69 | Елена М, | 37 th Pan EU Conference on Digital Education | Primera courses | Слушател | 1,5 часа | 20.04.23 | сертификат |
| 70 | Катарина М. Лилјана С, Соња А. Фросина Р. Наталија М.Ѓ. | Психосоцијална подршка на ученици и возрасни во справување со кризи | ОУ,,ННБорче ,, | | 5 часа | 25.05.2023 | |
| 71 | Маја С. | Обука за меѓународна студија ТИМСС 2023 | ДИЦ | | 8 | Февруари-март 2023 | потврда |
| 72 | Маја С. | „Научени лекции, идни чекори“ | Центар за иновации и дигита лна едукација, ДИГ-ЕД | | 2 | 22.02.2023 | Сертификат |
| 73 | Маја С. | Together! Inclusive Classroom and Digitally Supported Learning | Финска Национал на агенгија за образование | | 24 | 18-21.4.2023 Миккели Финска | сертификат |
| 74 | Маја С. Снежана П.Б. | Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво | Сојуз на информатичари на Македонија Педагошки факултет „ Св. Климент Охридски“ Скопје | | 8 | 22.06.2023 | ертификат |
| 75 | Маја С. | Обука за детски права, интеркултурализам и родова еднаквост. | Open the window | | | 23.06.2023 | |
| 76 | Соња А. Даниела К. | Подобрување на компетенциите на членовите на училишните одбори за подобрување на нивната ефикасност и ефективност во работењето | Коучинг -н | учесник | 2 | 22.02.2023 | сертификат |
| 77 | Даниела К. | Евалуацијата на пилот програмата за Сеопфатно сексуално образование | БРО и Здружението на граѓани ХЕРА, | учесник | 4 | 07.12.2022 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Асоцијација за здравствена едукација и истражување | | | | |
| 78 | Даниела К. | Работилница за натпревари по природни н | МБД | учесник | 2 | 12.01.2023 | |
| 79 | Даниела К. | Обука за користење на платформата за учење од далечина Едмондо,користење на интернет апликациите: Кахут,Квизис и Стадистак | БРО | учесник | 8 | 29.11.2022 | |
| 80 | Даниела К. | Климатски промени | БРО/ Даниела Петрушевска | учесник | 5 | 17.02.2023 ООУ„Вера Јоцић“ | |
| 81 | Билјана В. | Обука за користење на смарта табла | Маја Виденовиќ Анета придаенковска ОУ Крсте Мисирков | слушател | 2 ч | 10.03.2023 Скопје | |
| 82 | Билјана В. | 6-ти Семинар “Математика и примени” | ПМФ | слушател | 8 ч | 17.03.2023 | |
| 83 | Снежана П.Б. | 34th Pan-EU Conference on Digital Education: Digital Teaching of Languages. | Primera Courses | слушател | 2 часа | 26.01.2023 | сертификат |
| 84 | Снежана П.Б. | Teacher-produced audio and video: Record it,use it, enjoy your life! | British Council | слушател | 1 час | 27.01.2023 | сертификат |
| 85 | Снежана П.Б. | Gamification in ELT: Magic Bullet or Broken Sword? | British Council | слушател | 1 час | 27.01.2023 | сертификат |
| 86 | Снежана П.Б. | Multimodality in EFL Teaching | British Council | слушател | 1 час | 27.01.2023 | сертификат |
| 87 | Снежана П.Б. | Engaging with learning Outcomes модул 1 од програмата Future English, организирана од Британски Совет | British Council | слушател | / | 2.02.2023 | Сертификат за завршен модул 1 |
| 88 | Снежана П.Б. | Understanding classroom language модул 2 од програмата Future English, организирана од Британски Совет | British Council | Слушател | | 9.02.2023 | Сертификат за завршен модул 2 |
| 89 | Снежана П.Б. | „Escape Room – tajanstveni materijal | Институт за модерно образование, Белград | слушател | 1 час | 10.02.2023 | сертификат |
| 90 | Снежана П.Б. | Kako da pridobijete pažnju učenika? | Institut za moderno obrazovanje | слушател | 1 часа | 10.04.2023 | сертификат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 91 | Снежана П.Б. | 37th Pan-EU Conference on Digital Education. | Primera Courses | слушател | 2 часа | 20.04.2023 | сертификат |
| 92 | Снежана П.Б. | Theory and Practice with a Twist, | Hamilton House Publishers | слушател | 4 часа | 28.04.2023 | сертификат |
| 93 | Моника Г. | Работилница за адаптирањена спортот во фамилии „Активни Фамилии“ | Сојуз на истражувачи на Македонија-Скопје | Учесник | 14 ч. | 03-04 Април 2023 | Сертификат |
| 94 | Калина П. Даниела Ка. | Менталното здравје на младите и социјалните медиуми | Филозофски факултет | 4 часа | 20.04.2023 | Слушател | Сертификат |
| 95 | Даниела Ка. Саоња Н. | Интеркултурна размена на деца со ПОП | Здружение за асистивна технологија,,Отворете ги прозорите,, | 15 дена | 30.05-13.06.2023 | Супервизор | Сертификат |
| 96 | Валентина J. | Психосоцијална подршка на деца и возрасни во услови на криза | Институт за психологија,МОН | 1 ден | 18.05.2023 | Слушател | |

| *Шифра на обуката* | *Име и презиме на учесниците* | *Работно место* |
|---|---|---|
| **Програма 1** | **Билјана Дрвошанова** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Билјана Велјановска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Валентина Коруноска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Весна Трајковска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Даниела Кузмановска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Катерина Јовановиќ** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Маја Д.Бошевска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Наталија Ѓорѓевиќ Миревска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Сања Пецевски** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Фросина Ристовска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Виолета Силјановска** | **Одд. наставник** |

| | | |
|---|---|---|
| **Програма 2** | **Снежана Величковска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 2** | **Гордана Ѓорѓиевска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 2** | **Елизабета Темелковска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 2** | **Валентина Јовановска** | **Психолог** |
| **Програма 2** | **Калина Пуловска** | **Педагог** |
| **Програма 2** | **Ленче Славковска** | **Библиотекар** |
| **Програма 10** | **Александра Спасеска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Анета Пешевска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Дијана Николовска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Елена Мисајловска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Марија Депиновска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Снежана Поп Алексова Боболеска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 10** | **Соња Николова** | **Одд. наставник** |
| **Програма 12** | **Донка Николовска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 14** | **Лилјана Стефановска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 14** | **Марија Ивановова** | **Одд. наставник** |
| **Програма 22** | **Дејан Боневски** | **Предметен натавник** |
| **Програма 22** | **Катерина Марковска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 22** | **Оливера Филиповска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 22** | **Соња Златевска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 22** | **Соња Ајдаревиќ** | **Предметен натавник** |
| **Програма 29** | **Маја Станковска** | **Предметен наставник/Ментор** |
| **Програма 29** | **Светлана Петровска** | **Директор/одд.наставник** |

| **Листа на понудени програми (обуки)<br>(подетални информации може да најдете во Каталогот)** |
| --- |
| ПРОГРАМА 1 (НАСТАВНИЦИ): Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење |
| ПРОГРАМА 2 (НАСТАВНИЦИ): Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците |
| ПРОГРАМА 4 (НАСТАВНИЦИ): Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта |
| ПРОГРАМА 5 (НАСТАВНИЦИ): Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште |
| ПРОГРАМА 7 (НАСТАВНИЦИ): Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште |
| ПРОГРАМА 10 (НАСТАВНИЦИ): Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост |
| ПРОГРАМА 12 (НАСТАВНИЦИ): Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата |
| ПРОГРАМА 13 (НАСТАВНИЦИ): Настава базирана на проблемски пристап |
| ПРОГРАМА 14 (НАСТАВНИЦИ): Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми |
| ПРОГРАМА 15 (НАСТАВНИЦИ): Настава за развивање критичко мислење кај учениците |
| ПРОГРАМА 16 (НАСТАВНИЦИ): Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво |
| ПРОГРАМА 17 (НАСТАВНИЦИ): Дизајнирање објективни тестови на знаење |
| ПРОГРАМА 20 (НАСТАВНИЦИ): Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично) |
| ПРОГРАМА 22 (НАСТАВНИЦИ): Справување со врсничкото насилство и кибернасилство |
| ПРОГРАМА 23 (НАСТАВНИЦИ): Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците |
| ПРОГРАМА 24 (НАСТАВНИЦИ): Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница |
| ПРОГРАМА 26 (НАСТАВНИЦИ): Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици |

| |
|---|
| ПРОГРАМА 29 (НАСТАВНИЦИ): Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) |
| Листа на понудени програми<br>(подетални информации може да најдете во Каталогот) |
| ПРОГРАМА 1 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој |
| ПРОГРАМА 2 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час |
| ПРОГРАМА 3 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично |
| ПРОГРАМА 4 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Инклузивно образование во пракса |

**Вклученост на семејствата во училиштето**

Во текот на учебната 2022 / 23 год. родителите согласно динамиката и програмата беа активно вклучени во активно вклучен во животот, работата и активностите во училиштето.

- Континуирани советодавно-консултативни разговори со родители на учениците за најразновидни проблеми и прашања, индивидуални разговори и работа со ученици и соработка со наставници за прашања и проблеми поврзани со наставата, учениците и слично.
- Следење на редовноста на учениците и подготовка прегледи за изостаноци на учениците по паралелки, одделенија и по пол.
- Учествуво во активности во училиштето што се одвиваа во рамките на Проектите: Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем . Учество во активности од Проектот Меѓуетничка интеграција во образованието „Градиме мостови“ кој се реализира во текот на учебна година во наставата и преку воннаставните активности, посета на менторски средби и др. Учество во проектот Намалување на насилството во соработка со наставниците и други стручни соработници
- преку одржување работилници и други активности кои се имплементираат во училиштето.
- Педагогот активно учествува во личниот професионален развој преку учество и следење на семинари, обуки, работилници и други активности од БРОМ, МОН, разни институции, здруженија, како и редовно учество на стручните состаноци на Здружението на педагози на град Скопје„Современ педагог“.
- Подршка на работата на Ученичкиот парламент, подршка во организирање на културни настани, екскурзии, хуманитарни акции.
- Континуирано пружа помош и подршка на наставниците во водењето на педагошката евиденција и документација.

- Во работата на педагогот значајна е и соработката со различни образовни, здравствени, социјални, научни, културни и други институции: СОС- детско село, Црвен крст на општина Гази Баба, со основните училишта од локалната средина и средните училишта, Општина Гази Баба соработка со воспитно - образовни институции надвор од училиштето (МОН, БРО, ДИЦ, ЗМЗ, ЦСР на општина Гази Баба, Институт за Педагогија,ЈЗУ „ Амбуланта – Ченто“, и др.
- Програмата за работа на училишниот педагог се реализира во соработка со директорот на училиштето, стручните соработници( социологот, психологот и мобилниот дефектолог), наставниците, родителите, БРО, Просветен инспекторат, претставници на образовни, здравствени и др. институции надвор од училиштето.
- Педагошката евиденција и документација за својата работа ја води редовно и уредно. Сите активности во рамки на работните задачи на педагогот во училиштето придонесуваат за успешна реализација воспитно-образовната работа во училиштето за квалитетен и успешен образовен процес: учениците, наставниците и родителите.

Педагог,Калина Пуловска

**Годишен извештај од работата на Социологот во учебната 2022/23 год.**

Социологот главно работи со ученици во правец на нивна социјализација, дружење и развивање позитивни вредности кај нив. Тој ги следи , идентификува и работи со ученици кои имаат проблеми со приспособувањето и прифаќањето на средината и правилно користење на слободното време и приспособување на нормите на однесување. Социологот на учениците им помага во меѓусебната интеракција , поточно им помага да водат успешна комуникација меѓу себе , како и комуникација меѓу ученикот и наставникот. За таа цел социологот во рамките на своите активности организира стручни советувања на теми кои се релевантни на нивниот развој , организира општествени активности на учениците во училиштето и надвор од него, работи на подобрување на односите меѓу учениците од различни ентитети и маргинилизарни групи, работи на зајакнување на соработката меѓу учениците и слични активности.

Социологот на училиштето како дел од стручната служба својата програма ја реализираше преку :
• Учество во напредувањето и усовршувањето на организацијата, планирањето и програмирањето на работата на училиштето во целина а особено на подрачјата во кои доминираа социолошките категории.
• Следење, анализирање и истражување на карактеристични педагошки појави кои резултираа од социолошки причини преку нивно расветлување надминување или ублажување , како социјализацијата на учениците особено на учениците од првите одделенија, нарушено поведение и непочитување на правилата на однесување како во училиштето така и надвор од него , слабиот успех на учениците како последица од социо-економската положба на учениците, следење на соработката на релација ученик- наставник - родител, тековни активности и др.

Во текот на првото полугодие од учебната 2022/ 2023 година континуирано ја следев проблематиката која што се однесува на редовноста на учениците, на слаби и проблематични ученици, на запишување и
распоредување на новодојдени ученици и нивно следење во однос на прилагодувањето и проблеми на кои наидуваат при промена на средината, следење на подрачјето Грижа за здравјето на учениците, работата на Училишната заедница, планирање и реализација на воннаставните активности и сл .

Во делот на планираните активности во почетокот на учебната година особено внимание посветував на следењето на прилагодувањето на учениците од првите одделенија односно на нивната социјализација.. Во текот на септември и октомври исто така бев ангажирана и при прифаќање и разговори со новодојдени ученици и ученици кои се испишуваа и преминуваа во други училишта.

Во текот на првото полугодие продолжија интензивните активности околу проектот „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем „ односно Еко – проектот. Во тој дел во соработка со сите наставници испланиравме Еко содржини ( точки на акција ) во рамките на Еко стандардите, кои станаа составен дел на годишните планирања на наставниците. Активностите од Еко проектот продолжија во секој дел од планираните активности како со учениците членови на Еко одборот така и со останатите членови и кординаторот на проектот, Билјана Вељановска, предметен наставник по математика.

Соработката со невладини организации и други институции исто така е од големо значење за подобрување на условите за учење и квалитетот на наставата. Овде би ја истакнала успешната соработка со МОН, БРО, СОС „ Детско село „ преку организирање на дополнителни активности за одредена категорија на ученици ( тешка материјална состојба, ученици кои живеат со старатели и слична ранлива категорија на ученици), со Црвен крст на Општина Гази Баба преку организирање на едукативни работилници и хуманитарни акции, соработката со локалната самоуправа, Центарот за социјални работи и многу други организации и институции.Координатор во проектот МИО„Градиме нови мостови“,подготовка на апликација.Проектот го доби нашето училиште заедно со партнерските училишта ООУ„25 Мај“ и ООУ„Дане Крапчев“.Проектот ќе се реализира во период од јуни 2023 до мај 2024 година.Проектот е од големо значење,бидејќи има за цел да ја зголеми меѓуетничката интеракција,разбирање и интеракција помеѓу децата и младите.Супервизор во проектот„Инклузија на деца со посебни образовни потреби,на интеркултурна размена во детското село Песталоци,каде што се работеше на неколку теми:интеркултурна комуникација,принци на детските права и анти-дискриминација,меѓусебно почитување,разбирање и толеранција помеѓу различните култури.

Социолог, Даниела Караташова

**Годишен извештај за работатата на психологот во учебната 2022 / 2023 година**

Примарна цел во работата на училишнит психолог е емоционалниот развој на учениците, поддршка и развој на нивните позитивни лични карактеристики.
Психологот ги препознава, идентификува и работи со учениците кои манифестираат емоционални поттешкотии, проблеми во однесувањето и во приспособување во социјалното опкружување. Препознава, идентификува и работи со надарени и талентирани ученици. За оптимален психосоцијален развој училишниот психолог организира работилници за поттикнување и развој на самодовербата, поттикнување и развој на одговорно однесување, справување со кризни ситуации.
Училишниот психолог има одговорност и сериозен предизвик да се грижи за менталното здравје на учениците во постојана соработка со родителите, наставниците, заедницата.

Во текот на првото полугодие психологот работеше и реализираше активности по програмските подрачја:

1. Работа со ученици
- Поддршка на учениците во учењето;
- Поддршка и следење на личниот раст и развој на учениците;
- Професионална кариерна поддршка на учениците;
2. Работа со наставници
- Поддршка на наставниците во планирање и реалзирање на воспитно образовната дејност и самоевалуација;
- Поддршка на наставниците за работа со учениците;
3. Работа со родители
- Индивидуални и групни советувања со родители и консултации;
- Вклучување на родителите во животот и работата на учениците во училиште;
4. Соработка со заедницата
- Соработка со локалната заедница;
5. Професионален развој и соработка
- Поддршка во професионалниот развој и соработка во училиштето;
6. Аналитичко истражувачка работа
- Истражување на воспитно-образовната работа;
7. Училишна структура, клима и организација
- Планирање и следење на воспитно образовната работа, педагошка евидеција и документација, евалуација;
- Училипна клима, безбедна средина и демократско учество.

Психологот ја реализираше законската обврска Советување на родители за учениците кои имаа повеќе од 10 неоправдани изостаноци, 100 и повеќе оправдани, ученици со слаб успех и намален успех, несоодветно однесување.
Во соработка со наставниците поддршка на учениците да работат според своите индивидуални потенцијали, креирање соодветна атмосфера за работа, ефективна комуникација со учениците и меѓу учениците во процесот на наставата и учењето.

Соработката со родителите опфаќа поддршка на родителите во препознавање и разбирање на индивидуалните развојни карактеристики кај секој ученик, криза во однесувањето и учењето, поддршка во делот на надминување на психосоцијалните поттешкотии.

Соработката со заедницата е фокусиран на соработка со образовните, здравствените, социјалните, културните, научните инситуции со цел поквалитетно учење и развој на учениците.

Психологот особено има влијание и во поддршка на наставниците-приправници, запознавање и водење на вопситно образовниот процес; Психологот го следи ефектите и води документација за професионалниот развој на наставниците.

Психологот ја истражува и анализира климата во училиштето, го следи и анализира развојот на учениците, превзема мерки за подобрување на севкупниот развој на учениците.

Психологот креира превентивни програми за грижа за менталното и физичкото здравје на учениците, демократска партиципација на учениците во училиштето, обезбедување на психосоцијална и емоционална поддршка на сите што се вклучени во воспитно-образовниот процес.

Психолог, Валентина Јовановска

**Годишен извештај за работата на дефектологот во учебна 2022/2023 год.**

## Годишен извештај за работата на дефектологот во учебна 2022/2023год

| р.бр | Реалиизирана активност | реализатор | време | извори-ресурси | постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработување на сопствена годишна програма за учебната 2022/23 година | Дефектолог | Јули 2022г | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Изработена годишна програма |
| 2. | *Координација за изработка на годишна програма за работа на инклузивен тим;<br>*Изработување на годишна програма за работа на инклузивен тим | Тим за инклузија | јули 2022г | Прибирање на релевантни податоци потребни за изработка на годишната програма за работа на инклузивен тим | Изработена годишна програма;<br><br>-подобрена инклузија |
| 3. | Подготвување на педагошка документација и евиденција | Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија, Родители, Наставници | Континуирано | -разговор<br>-прашалници<br>-опсервација | Изработен ИОП,<br>-следење на напредокот и постигнувањата на учениците со поп |
| 4. | Идентификување на ученици со попреченост | Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија | Мај октомври | опсервација<br>-разговор, | -идентификување на ученици со ПОП |
| 5. | Адаптирање на нови ученици(Помош на учениците од прво одделение во адаптирање на училишната средина) | Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија | Континуирано | опсервација<br>-разговор | брзо прилагодување во училишната средина и полесна комуникација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Дефектолошка дијагностика на ученици со ПП(проценување на индивидуалните способности и потенцијали<br>- изработување на ИОП со примена на диференциран пристап) | Дефектолог | Континуирано | модели на ИОП<br>-аналитички листови<br>-стручна литература | -процена на индивидуалните потенцијал<br>-правилно дефинирање на целите за изработка на ИОП |
| 7. | Индивидуална работа со учениците со ПП и потешкотии во учењето(вежби за реедукација на психомоторика,<br>-вежби за говорно-јазична оспособеност (дислалија,дислексија, дизграфија)<br>-дискалкулија<br>-вежби за внимание и концентрација<br>-примена на целите содржани во ИОП,артикулационен тест<br>-диференциран пристап | Дефектолог | континуирано | -ИОП<br>-обрасци за следење на ученикот со пп и потешкотии во учењето | подобрување на психомоторните способности,<br>-подобар успех во усвојување на наставните содржини |
| 8. | Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето | Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија | континуирано | Стручна литература | Запознавање и примена на специфичните методи на работа со учениците со пп |
| 9. | Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), Општина Гази Баба, | Дефектолог | континуирано | консултации<br>прирачници<br>брошури | размена на искуства |
| 10. | Учество во комисија за запишување на ученици во прво одделение | Директор стручна служба | јуни | Процедура за запишување на ученици Нагледен материјал | Евидентни листи<br>Список на запишани првачиња |
| 11. | Соработка со основните училишта од Општина Гази Баба и пошироко | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | континуирано | Размена на сознанија и информации значајни за работата | Евиденција од соработка со локалната заедница |
| 12. | Учество на работилници,следење на обуки, семинари, вебинари | Стручни соработници | континуирано | Унапредување на воспитно-образовниот процес<br>Перманенто стручно усовршување | Сертификати<br>Извештаи<br>Покани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | преку алатките Teams,ZOOM | | | | |
| 13. | Увид и анализа во среднорочниот ИОП | Стручни соработници Наставници | континуирано | среднорочниот ИОП, наставни листови,забелешки,тестови | Исходи од среднорочни планирања |
| 14. | Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијата, напредокот и постигањата на учениците со ПОП | Психолог Педагог Наставници | континуирано | Евидентни листи за следење на развојот на ученикот Евидентни листи за постигањата Индивидуални образовни планови | Ревизија на Долгорочните и среднорочните планирања-увид во постигањата на ученикот Евиденција од посета на часови и остварени консултации |
| 15. | Давање поддршка и инструкции на родителите на учениците со ПОП за работа во домашни услови | Родители Наставници | континуирано | Прирачници за работа со ученици со ПОП | Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители |
| 16. | Упатување на родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми | Стручни соработници Родители | континуирано | Павилници за рабта Процедури Пружање на навремена и соодветна помош за надминување на проблемот | Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители |
| 17. | Соработка со ресурсен центар | Дефектолог ПОУ со ресурсен центар ,,Иднина ,, | континуирано | Акциски план,консултации,состаноци,обуки , побарување и обезбедување асистенти | Успешна соработка ,обезбедени асистенти |
| 18. | Соработка со образовни асистенти | Тимови за инклузија Образовни асистенти | континуирано | Консултации,насоки,записници,зае днички активности | Успешна соработка со образовни асистенти и членови на инклузивни тимови |

Изготвил - Дефектологот Марија Костовска

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ПРИ**

**ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“ - СКОПЈЕ учебна 2022/2023**

Во текот на учебната 2022/2023 год. беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за оваа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварени поставените цели:

- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;

-Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења,да консултираат речници,енциклопедии, лексикониии друг информативен материјал;

-Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;

- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;

- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд(нови лектирни изданија од II-IX одд );

- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација и заштита на библиотечниот материјал;

- Редовно беше остварувана соработка со наставниците,стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

| Време на реализација | Реализирани задачи и активности |
|---|---|
| **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ** | -Уредување на библиотеката<br>-Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година<br><br>-Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН<br><br>-**01.09.2022**-Одбележување на **,,Свечениот прием на првачиња“** со учество на библиотекарската секција со цел да се запознаат првачињата со среќни,успешни и радосни мигови во училиштето што го зачекориле и натамошно градење на вистинските вредности во него.<br><br>**26.09.2022-**Одбележување на **,,Европскиот ден на јазиците“** со учество на библиотекарската секција со активности што го поттикнуваат значењето на учењето јазици,промовирање на толеранција и соживот,развивање социјална инклузија во училиштето. |
| **ОКТОМВРИ** | -**07.10.2022-** Одбележување на **,,Свечениот прием на првачињата во Детската организација“** со учество на библиотекарската секција со цел да се почитува личноста на детето и важноста на неговото образование.<br><br>**28.10.2022**-Одбележување на денови на **медиумска писменост** во кино ,,Милениум“ на тема,,Хакер“(психолошки игран филм) со членови од библиотекарската секција со цел да се влијае врз развојот на креативни,критички и културни знаења,вештини и идни компетенции кај децата,зајакнување на мотивацијата за учење. |
| **НОЕМВРИ** | -Посета на библиотеката од првачињата и нивно зачленување во училишната библиотека(правила.насоки за користење на литературата)<br><br>**07.11.2022**-Организирана претстава на библиотекарската секција наменета за сите ученици по повод ,,Месецот на книгата“ на тема,,**Книгата што никогаш не беше иста**“ од авторот Билјана Црвенковска со цел учениците да ја согледаат пораката дека треба многу да читаат,бидејќи книгата им нуди бескрајно царство на знаења, мудрости, радости, шеги и чуда... |

| | |
|---|---|
| | **15.11.2022** –Одбележување на Свеченият настан по повод **,,Месецот на книгата“**на тема**,,Книгата е алатка за магично патување во светот“** со цел учениците да ја засакаат книгата,да се буди постојано интересот за пишаниот збор,да се поттикнува и негува читачката култура<br>-Промовирање на наградените ликовни и литературни творби на конкурсот**,,Книгата е алатка за магично патување во светот“** |
| **ДЕКЕМВРИ** | -Изготвување на полугодишен извештај<br>-**Најдобри читатели**( за поттикнување на читачката култура ка учениците,на училишното радио беа промовирани истакнати читатели за првото полугодие). |
| **ЈАНУАРИ- ФЕВРУАРИ** | -Посета на учениците на училишната библиотека, разговор за задачите на библиотеката и библиотекарската секција<br><br>-Активности со учениците од библиотекарската секција(заштита на оштетените книги).<br>**21.02.2023-**Одбележување на денот на **,,Меѓународниот мајчин јазик“** со настан за почитување на мајчиниот јазик,промовирање на лингвистичката разновидност и повеќејазичност низ светот.За таа цел учениците од библиотекарската секција промовираа литературно читање со свои лични творби и цитати од познати автори,драматизации со цел да се согледа значењето за правилна употреба на литературниот јазик.На настанот присуствуваше и дел од проектот,,Во светот на Биби“каде можеа и присутните првачиња интегрирано да промовираат дел од својата писменост. |
| **МАРТ** | -Литературно творење по повод празникот на мајките**,,8 Март“**<br>**31.03.2023-**Одбележување на патрониот празник на училиштето.Библиотекарската секција учествуваше со ревија на тема**,,Писменоста секогаш треба да биде во мода“**со цел да испрати моќни пораки до сите ученици колку е важна писменоста во нивниот натамошен живот и колку е неопходно да се негува литературниот јазик. |
| **АПРИЛ** | **20.04.2023-**Учество на учениците од библиотекарската секција на **XXII Општински натпревар** во градската ЈУ,,Браќа Миладиновци“-Скопје<br>**23.04.2023**-Одбележување на **,,Светскиот ден на книгата“**промовирање за важноста на книгата |
| **МАЈ** | Пополнување на формуларот за порачка на учебници 2023/24 год<br>**-Најдобри читатели**(за поттикнување на читачката култура кај учениците) за крајот на учебната година. |
| **ЈУНИ** | -Реализирана работилница на тема**,,На крајот на учебната година“**(промовирање и наградување на активностите на членовите на библиотекарската секција)<br>--Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање со комисија за учебници<br>-Пополнување на формуларот(Образец бр.3) за враќање на учебници 2022/23 год |

Библиотекар

Ленче Славковска

## Самоевалвација на училиштето

Според законската обврска ООУ„Наум наумовски Борче“ реализира самоевалуација секоја втора година. Последната самоевалуација на работата на училиштето е завршена во јули 2022 година и се однесува на учебната 2020/21 и 2021/22 година. Приоритетни подрачја кои произлегуваат од самоевалуацијата по подрачја се следните:

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- Изготвување план и стратегија за поголема вклученост на учениците во покренување на иницијативи за измени и дополнување на наставните планови и програми;
- Изготвување план и стратегија за поголемо вклучување на учениците во изготвување на програмите за воннаставни активности;
- Организирање на воннаставни активности со училишта на друг наставен јазик и опфаќање на поголем број на ученици;
- Континуирана набавка на нагледни средства и обновување на компјутерската технологија.

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- Потреба од целодневна настава;
- Поради зголемување на бројот на деца со посебни образовни потреби, училиштето има потреба од образовни асистенти и специјални едукатори.

## Подрачје 3: Учење и настава

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ❖ Континуирано одржување на постоечката компјутерска опрема во училниците и навремена замена на неисправната опрема со нова;
- ❖ Оспособување на постоечката компјутерска опрема;
- ❖ Доопремување на училиштето со нагледни средства и помагала
- ❖ Одделенските раководители да ги запознаваат и информираат родителите во врска со правилникот за оценување на почетокот на секоја учебна година.

## Подрачје 4: Подршка на учениците

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ❖ Реконструкција на оградата во училишниот двор во целост.
- ❖ Дополнително уредување на училишниот двор
- ❖ Подобрување на хигиената во училиштето, тоалетите и училишниот двор
- ❖ Одредување на протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.
- ❖ Зголемување на безбедноста на учениците, вработените во училиштето и родителите, загрозени од возилата што влегуваат и излегуваат од училишниот паркинг.
- ❖ Реконструкција на паркинг местата
- ❖ Обезбедување стази за колички, лифт, држачи,посебен тоалет за ученици со телесна попреченост во развојот.

## Подачје 5: Училишна клима

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ❖ Интензивирање на соработката на членовите на ученичкиот парламент во решавањето проблеми што се од нивен интерес во воспитно-образовниот процес
- ❖ Училиштето да изгради мотивационен систем за наградување на учениците и наставниците-ментори кои постигнале успех на натпревари и други манифестации.(награда за патување, енциклопедија, пригоден подарок и сл.)
- ❖ Целосна транспарентност и професионална соработка на наставниот кадар

## Подрачје 6: Ресурси

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ➢ Подобрување на условите за реализација на наставата и воннаставните активности, особено во делот на високите температури во летниот период и задржување на топлотна енергија во зимсккиот период со инсталирање на термофасадна изолација.

- Потреба од набавување на современа стручна литература за учениците со посебни образовни потреби и асистивна технологија.
- Потреба од изградба во училишниот двор да се изгради атлетска патека, тениско игралиште, ботаничка градина како и сензорна соба за учениците со ИОП.
- Изработка на проект и изградба на лифт и проширување на просторните капацитети со дополнителни опремени кабинети/училници
- Согласно новините во Законот за основно образование потребно е одвојување на финанински средства за реализација на активности во делот на меѓуетничката интеграција и ѓраѓанска вклученост како и за реализација на активности предвидени во програмата на Ученичката заедица.

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- Поголемо вклучување на Советот на родители и ученичкиот парламент во креирањето на училишните политики
- Поголема транспарентност на работата на училишниот одбор.

**Тим кој учествувал во изработката на Годишниот извештај**

- **Директор Светлана Петровска**
- **Стручни соработници**
- **Одделенски и предметни наставници**

**30.06.2023 г.** **Директор**

**Општина Гази Баба , Скопје** **----------**

***Светлана Петровска***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ
Бр. 02-10/25
30.06.2023 год.
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование ( Сл. весник на Р.С.Македонија бр. 161/2019, и член 36 од Статутот на ООУ „ Наум Наумовски – Борче " Скопје – Гази Баба, Училишниот одбор на својата седница одржана на ден 30.06.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2022/23 година

На седницата одржана на ден 30.06.2023 година присутните членови на Училишниот одбор донесоа едногласно одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2022/23 година

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Уч. Одбор
ООУ „Наум Наумовски –Борче "
/ Горан Готик /

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, м-р Елизабета Андова

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2022/2023 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-06/44 од 07.07.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„НАУМ ОХРИДСКИ„**
**С. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА
# 2022 / 2023 ГОДИНА

*Јуни, 2023 ГОДИНА*
*СКОПЈЕ*

***ООУ,,НАУМ ОХРИДСКИ,, с. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ***
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**С.Булачани,Скопје 1000МК**
**Тел: 02 2575 946**

**e-mail: nohridski@yahoo.com**
**web: naumohridski.edu.mk**

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

## *ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА*
## *2022 / 2023 ГОДИНА*

Јуни, 2023 - Скопје

# С О Д Р Ж И Н А

**В О В Е Д Е Н  Д Е Л …….. 4**
**Н А С Т А В А ……....8**
**Годишен извештај за реализација на програмата,, ……...10**
**Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија“ за учебната 2022/2023 година**

**Извештај од реализација на активнисти од проектот за ……..13**
**Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2022/2023**

**,,Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,……..14**

**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците ……....15**

**Годишен извештај - Антикорупциска едукација на учениците ……...16**
**основните училишта 2022/2023 година**

**Извештај за реализација на содржини од проектот……..…..17**
**„Училишни градини“ за крај од учебната 2022/2023**

**ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ …….. 20**

**ИЗВЕШТАЈ за спроведени активности од Детска организација……...32**

**ИЗВЕШТАЈ од ПЦК…….…..33**

**Годишен извештај за работа на ученичкиот парламент……....34**

**Активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците…….. 36**

**Професионален развој на образовниот кадар…… 40**
**Работа на стручните органи и тела……..... 45**

**С Т Р У Ч Н И  А К Т И В И……..46**

**Активности на психологот…… .51**
**Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор…… .53**
**Извештај за работа на училишен инклузивен тим……...56**

**Извештај за работата на педагогот …….. 62**
**Годишен извештај за работа на Училишна библиотека медијатека.....65**

**Преглед на работата на директорот .....70**
**Активности на Училишниот одбор ..... 75**
**Активности на Советот на родители .....83**
**Активности на наставнички совет.....87**
**Позначајни настани.....97**
**Заклучоци и согледувања на состојбите и унапредување на дејноста.....101**

# В О В Е Д Е Н  Д Е Л

Извештајот за работа на училиштето на крајот од првото полугодие од учебната 2022/2023 година е изработен врз основа на реализираните активности планирани со Годишната програма за работа на училиштето, усвоена на седницата на Училишниот одбор на ден 29.07.2022 година.

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на училиштето што ќе се користи во понатамошната работа. Извештајот претставува документ што ги содржи сите важни информации за оценка на работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа во учебната 2022/23 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно - образовниот процес, се потрудивме овој извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации. За голем дел од информациите на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, фотокопии од дипломи, видео записи, линкови за публикувани прилози, извештаи и сл.). Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа на училиштето и главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови на работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родителите и локалната средина, соработка со други институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, Невладини организации, реализација на интерни и екстерни проекти и др. Се надеваме дека овој извештај ќе даде одговор на следното прашање:

**Во која мера се реализирани целите од Годишната програма за работа на училиштето и какви ефекти се постигнати?**

Во извештајот квантитативно и квалитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40 - часовна работна седмица и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата. ¬ Реализација на воннаставни активности, натпревари, слободни ученички активности, екскурзии, излети, посети и друго.
- Реализацијата на други посебни програми од воспитно – образовниот процес: Грижа за здравјето на учениците, Заштита на животната средина, Општествено - корисна и хуманитарна работа.
- Ангажирање на наставниот кадар при реализација на програмите на ученичките организации: Одделенска заедница, Детска организација, Училишна заедница, Училишен парламент, Училишен клуб на Црвен Крст, ученички клубови, спортски клуб и друго.
- Ангажирање на наставниците и стручните соработници во работата на училишни тимови и стручните органи: одделенско раководство, Одделенски совети, Стручни активи, Наставнички совет.
- Реализација на програмите на Совет на родители и Училишен одбор.
- Стручно усовршување и професионален развој на наставниот кадар.
- Реализација на програмата за соработка со родителите.
- Соработка на училиштето со локалната средина, односно соработка со: локалната самоуправа, Министерство за образование и наука, БРО, ДПИ и ДИЦ, невладини организации, бизнис заедница, соработка со други училишта, здравствени институции, Меѓуопштински центар за социјална работа, Полициска станица Гази Баба, МВР и други институции и организации.
- Реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето.
- Реализација на програмите на стручните соработници .
- Ангажирање на наставниците и стручните соработници во афирмација на училиштето и градење на неговиот имиџ.

Имајќи предвид дека секој наставник и стручните соработници се вклучени во определени тимови за реализација на програмските активности во соодветно подрачје на Годишната програма за работа на училиштето, логички следува дека и секој наставник / стручен соработник непосредно учествува со свои пишани прилози на овој извештај. Целта на овој извештај е да обезбедат јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во

креирањето на програмските определби за работа во текот следната учебна година.

## Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето.

### Опис, локација и опременост на објектот

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани се наоѓа на падините на Скопска Црна Гора, Скопје. Во својот состав има две подрачни училишта во с. Црешево каде наставата е организирана за учениците од прво до деветто одделение, и с. Раштак каде има две комбинирани паралелки и тоа прво и второ одделение и трето и четврто одделение.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата. Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во согласност за ПООУ с. Црешево, набавени се нагледни средства за потребите на наставата. Во училиштето во с. Булачани направени се бетонски трибини и заштитна метална ограда кон спортско игралиште во училиштето во с. Булачани за потребите на учениците. Во училишните објекти во с.Булачани и во с.Црешево реновирани се подовите во три училници во училиштето во с. Булачани и 2 училници во училиштето во с. Црешево. Набавени се нагледни средства за потребите на наставата и опремена е Сензорна соба во ПООУ Црешево за потребите на учениците со посебни образовни потреби. Во училиштето во с. Булачани поставени се монтажни трибини за потребите на училиштето. Отпочната е градба на училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани. Добиена е донација од МОН зна нагледни средства за потребите на наставата по историја, географија и природни науки. Добиена е донација од 100 лектирни изданија од АРС Ламина со што се збогати училишнта библиотека.

Оваа учебна година во училиштето беше извршена интегрална евалуација од ДПИ во периодот од 25 до 27 Април и беше оценето со мн. добар.

Сите овие обновувања и набавки придонесоа за непречено започнување на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

## Кадровски услови

Кадарот во училиштето - заедно со подрачните училишта го сочинуваат:

- Директор - 1,
- Стручен соработник – психолог - 1,
- Стручен соработник – педагог – 1,
- Стручен соработник – специјален едукатор и рехабилитатор – 1
- Наставници во одделенска настава - 13
- Наставници во предметна настава - 19
- Административен персонал
  Секретар – 1
- Технички персонал
- Хаусмајстор – 1
- Градинар-1
- Хигиеничари - 5
  Вкупно вработени лица – 43

## Организација на воспитно – образовната дејност

Оваа учебна година наставата започна на 01.09.2022 година по програма која е планирана за реализирање на настава со физичко присуство.Наставата со физичко присуство ја следат сите учениците од прво до деветто одделение. Согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2022/2023 година наставниот час во нашето училиште трае 40 минути во наставата со физичко присуство.

Училиштето работи во две смени од кои првата почнува во 8,00 часот. Учениците од прво и второ одделение работат само прва смена согласно барањата по новата програма, додека учениците од трето до петто оделение се менуваат со учениците од шесто до деветто одделение на две смени на секои две недели. Втората смена започнува од 13,00 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Црешево работи во две смени од кои првата почнува во 07,45 часот за учениците. Учениците од прво до петто одделение се менуваат со учениците од шесто до девето одделение на две смени секои две недели. Втората смена започнува од 13,00 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Раштак работи во една смена со почеток од 8,00 часот до завршување на наставата.

# Н А С Т А В А

## Задолжителна настава

По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по – предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците од VII – IX одделение. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларните прегледи што се составен дел на овој извештај.

## Изборната настава

е застапена по предметите:

- Етика на религии во шесто а,б одделение,
- Танци и народни ора во седмо – а,б одделение,
- Проекти од ликовна уметност во осмо - а одделение
- Проекти од музичка уметност во осмо – б одделение,
- Вештини на живеење за учениците од девето - а одделение,
- Истражување на родниот крај во девето – б одделение,

Планираните содржини по изборните предмети се реализирани согласно наставниот план и програма, а знаењата на учениците се вреднувани.

Согласно наставниот план и програма за оваа учебна година, сите наставници се изјаснија дека предвидениот материјал за првото полугодие од учебната оваа година е реализиран.

## Дополнителната настава

има задолжителен карактер и се организира за учениците кои имаат повремени потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надградуваат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечна, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2022/2023 година.

## Додатната настава

се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа

пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализираат. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2022/2023 година.

Оваа учебна година **продолженият** престој во подрачното училиште во с. Црешево се реализира со вкупно 20 ученици.

## Бројна состојба на учениците

Оваа учебна година во училиштето се опфатени вкупно 362 ученика распределени во 20 паралелки. Во училиштето во с. Булачани има 163 ученици, во ПООУ с. Црешево има 177 ученици и во ПООУ с. Раштак 20 ученици.

## Редовност на учениците

Во првото полугодие од вкупно 362 ученици со примерно поведение се сите ученици, со добро и со незадоволително поведение нема ниту еден ученик. Во овој период евидентирани се 1686 оправдани изостаноци а неоправдани изостаноци има 10, вкупно 1696. Оправданото отсуство се однесува на учениците кои беа болни од вирози, настинки и сл.

## Успех на учениците

Од вкупно 256 ученика од IV – IX одделение

| **успех** | **број на ученици** |
|---|---|
| одличен | 145 |
| многу добар | 99 |
| добар | 11 |
| доволен | 1 |
| со слаби оценки | 0 |
| **Среден успех од IV – IX одделение е 4,41** | |

Во табелите се прикажани статистичките податоци за успехот на учениците.

## Проекти на кои се работи во училиштето

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината“
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.

## Годишен извештај за реализација на програмата „ Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија“ за учебната 2022/2023 година

Во училиштето редовно се реализираат седумте чекори од програмата „Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија“

- Има формирано ЕКО- одбор
- Има направено анализа на животната средина
- Изработен е План на активности
- Во редовната настава се вметнати содржини од Поврзување со настаната програма

ЕКО- одборот има членови од наставниците, технички персонал, ученици, локалната самоуправа и представници од Совет на родители. Одборот одржува редовни состаноци еднаш месечно, на кои се дискутира за реализацијата на програмата, се даваат предлози и и се одредуваат селдните активности.

Планот на активности опфаќа активности кои произлегуваат од Анализа на животната средина, за секоја активност има назначено одговорно лице за следење на реализација и има формирано еко- патроли од редовите на учениците.

Завршени активности од Планот на активности во првото полугодие од учебната 2022/23 година:

| Еко-стандард | Точки на акција | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Енергија** | **Формирање на еко-патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности** | Одредување на ученици кои ќе бидат во еко патролите, распределба на обврските по членовите и упатства за потполнувае на формуларите. | септември |
| **Уреден и еколошки двор** | **Поставување на пристапни патеки во дворот** | Одредување на местата на кои треба да се постават патеки<br>Избор на фирма која ке ги изведе активностите<br>Набавка на дополнителни жардињери и цвеќиња за во нив | октомври |
| **Енергија** | **Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија** | Одредување на местата на кои треба да се постават упатствата<br>Изработка на упатства од страна на учениците<br>Истакнување на упатствата<br>Изработка на флаери за енергетска ефикасност | ноември |
| **Уреден и еколошки двор** | **Засадување на цвеќиња и хортикултурно уредување на дворот** | Засадување на дрвца во соработка со проектот Училишни градини и цвеќиња во жардињерите. | Ноември, март и мај |
| **Отпад** | **Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место** | Изработка на упатства за селкција на електронски отпад;<br>Одредување на местата за поставување;<br>Поставување на упатства за селекција електронски отпад во близина на корпите за селекција. | октомври |
| **Отпад** | **Поставување на корпи за селекција на отпад** | Одредување на местата на кои треба да се постават корпи за селекција на | декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | отпад<br><br>Набавка на корпи од донација<br><br>Поставување на корпите | |
| **Уреден и еколошки двор** | **Поставување заштитна ограда, потпорен ѕид и трибини во с. Булачани** | По предходно изготвен план и со тендерска постапка е избран изведувач и целата постапка е завршена | Јануари – март |
| **Уреден и еколошки двор** | **Санирање или поставување на урбана опрема** | Поставување на дополнителни клупи и трибина на фудбалското игралиште | април |

Активностите кои беа планирани во годишната програма, а не беа завршени во текот на оваа учебна година се префрлуваат во Планот на активности за 2023-2024 година.

Во училиштето се организираат и изведува и уште еден проект чии активности се вклучени во оваа програма, тоа е Училишни градини, а во текот на првото полугодие се одржаа и Еколошки кампањи и акции:

- 22 септември - "МЕЃУНАРОДЕН ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ" како дел од Европска недела на мобилност 16 – 22 септември

- 26 септември - Ден на чистите планини! Ден за едукација за заштита на животната средина- планини, реки, потоци, вода и жив свет на нашите планини.

- 4 Октомври- Светски ден на животните

- 14 Октомври ден на собирање електронски отпад - да го намалиме, преработиме и повторно да го употребиме отпадот.

Наставниците редовно ги одржуваат часовите кои се имплементирани сите девет еколошки теми во редовната настава.

**Координатор на проектот,**
**Соња Рулеска**

## Извештај од реализација на активнисти од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2022/2023 година

Активностите кои се во насока на промоција на меѓуетничка интеграција во образованието, пред се, имаат цел да обезбедат можности за непосредна интеракција на учениците со различен културен идентитет. Овој вид активности овозможуваат децата да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно. Сето ова резултира со унапредување на меѓусебните односи и развивање на соработка и заедништво, а овие активности придонесуваат и за интензивирање на неформалната комуникација меѓу учениците надвор од училиштето.

Часовите на проектот МИО се одржуваат од прво до девето оделение преку работилници на одделенските часови како и на часовите на Животни вештини. Се обработуваат многу теми реализирани преку работилниците кои ги организираат класните и одделенските наставници како и наставниците кои се од предметна настава на теми за меѓуетничка интеграција. Преку часовите како Историја и Граѓанско образование се обработуваат многу теми кои се поврзани за различните култури и историја на народите за кои понатамашно се отвараат многу теми од кои ќе имаат бенефит учениците. Во оваа учебната година, заедничките активности со партнер од с. Идризово ОООУ ,,Његош" училиштето се реализираа само заеднички активности. Во. Сите други активности се реализираа согласно на Програмата за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција која е дел од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година .

Во оваа учебната година, заедничките активности со партнер училиштето од с. Идризово ООУ ,,Његош" се реализираше краткотрајна воннаставна активност онлајн работилница за изработка на тријазични честитки по повод 8 Март- Ден на жените за учениците од одделенска настава) - запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности - изработка на тријазични осмомартовски честитки – рецитирање и пеење песнички по повод празникот на жената од сите училишта, понатамошно одржување на контактите меѓу учениците и наставниците само заеднички активности во рамки на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост на општина Гази Баба.

Во текот на учебната година, заедничките активности со партнер училиштето од с. Идризово ООУ ,,Његош" се реализираше краткотрајна воннаставна активност онлајн работилница со учениците од трето одделение за изработка на велигденски јајца по повод христијанскиот празник Велигден - запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности - изработка и боење на велигденските јајца – рецитирање и пеење песнички по повод

празникот од сите училишта и краткотрајно предавање за обичаите по повод големиот христијански празник Велигден од наставникот по Етика на религии од основното училиште ,,Његош,, понатамошно одржување на контактите меѓу учениците и наставниците преку заеднички активности.

Во текот на учебната година, заедничките активности со партнер училиштето од с. Идризово ООУ ,,Његош" се реализираше краткотрајна воннаставна активност онлајн работилница со учениците петто одделение од нашето училиште со учениците од петто одделение од ООУ ,,Његош" во рамките на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието одржаа краткотрајна воннаставна активност за изработуваа хартиени кутии за подароци во кој ставаа бонбони кои се препознатливи по повод празникот Рамазан Бајрам, учениците од нашето училиште изрецитираа и песна ,,Насекаде празник,, и разменија подароци меѓусебно.

Активностите во рамки на училиштето опфаќаа реализација на онлајн-работилници кои Програмата за МИО ја поврзуваа со наставните програми и часовите за реализација на програмата за животни вештини која ја реализираа одделенските раководители (стр.368 од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година). Целта на работилниците реализирани на овие часови е, пред сé, подигањето на свеста кај учениците за потребата и бенефитот од мултикултурната и маѓуетничка соработка во општеството.

**Училишен координатор – Марина Миткова**

## ,,Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,

Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.

Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици. На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.

Во наставата беа планирани активности и работилници од страна на стручните соработници со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.

Особено големо внимание се посвети на работилници одржани за подобрување на менталното здравје, односно колку е важно да се промовира добросостојбата на менталното здравје. Зацврстување на личните компетенициии здрави животни стилови, ангажираност, задоволство и смисла на животот и социјални компетенции како сочуствување и емпатија. Овие работилници беа одржани од страна на стручната служба во поголемите одделенија.

Исто така големо внимание и се посвети на врсничкото насилство. Преку одржување на работилници поврзани со булингот и врсничкото насилство учениците беа упатени како да превенираат и да се заштитат од денес актуелното врсничко насилство во училиштата како и на социјалните мрежи, работилниците беа одржани од страна на стручната служба со цел да се превенира, заштити како и кои се последиците од врсничко насилство

Секако битен момент во едукацијата беше и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на учениците за прифаќање на ненасилно однесување.

## Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Проектот има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес.Овој проект предвидува целта да се постигне преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др.. Во текот на првото полугодие реализирани се следните активности:

01.09.2022 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.10.2022 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2022 – месец на книгата,

Реализирани родителски средби за одделенска и предметна настава - се закажуваат и одржуваат после одржаните одделенски и наставнички совет.

Реализирани родителски сребри во одделенска настава:

12.09.2022; 10.11.2022; 18.01.2023; 10.04.2023;

Реализирани родителски средби во предметна настава:

05.09.2022; 09.11.2022; 18.01.2023; 06.04.2023; 01.06.2023; 16.06.2023; 29.06.2023

27.10.2022 – Кучето и детето да бидат весели и безбедни пријатели.(за учениците под одделенска настава)
27.10.2022- Превенција од дроги и штетни влијанија од алкохолот. –(за учениците од предметна настава)
07.04.2023 –Здрава исхрана и последици од неправилната исхрана
24.03.2023 – Превенција од туберкулоза
Посета на институција на подрачната канцеларија на Црвен Крст на Гази Баба назив Општинска организација на Црвен Крст на Гази Баба.

## Годишен извештај - Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта 2022/2023 година

Од спроведена активност за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта 2022/2023 година.

На средбите се спроведуваа активности на часовите со учениците претставници од одделенијата. На часовите преку дискусија преку објаснување учениците се запознаа со содржини за антикорупциско однесување, одолевање на социјален притисок и препознавањена механизми за спречување корупција. Корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка. Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, непотизам, покровителство, мито и проневера на пари. Зборот „корумпиран“ потекнува од латинскиот збор „corruptus“. Кога се користи како придавка, овој збор буквално значи „крајно расипан“, додека во современата англиска употреба зборовите корупција и корумпирани имаат многу значења. Корупцијата може да вклучи многу активности, вклучително и поткуп и проневера, иако може да вклучи и практики што се легални во многу земји. Политичка корупција се случува кога носител на должноста или друг владин вработен делува во службена должност за лична добивка. Корупцијата е најчесто во клептократии, олигархии, нарко-држави и мафијашки држави. На 9-ти декември, по донесувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата на 31 октомври 2003 година, се одбележува Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Учениците добија јасна слика за поимот корупција. Откако беше пренесена презентацијата учениците отворено дискутираа за ова и притоа прашуваа и кажуваа можни примери за вакви случаи и не само тоа разговараа и за начинот како да се заштитат при вакви случаи. Со учениците првично беше разгледана програмата па потоа тие даваа свои ставови за поимот корупција и на последната средба направивме Анкетен прашалник. По спроведените активности може да заклучиме дека учениците работеа и ги научија основните значења на поимот корупција.

Во текот на учебната година се организираа отворени средби со родителите притоа беа запознаени со поимот антикорупција.Учениците беа потикната да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството. Со тоа е подобрена мотивација за учество во активностите за антикорупциска едукација. Се развија потенцијалите на учениците преку ликовни и литературни творби за антикорупциска едукација. На најдобрите ученици им беа доделени дипломи и пофалници за учество во ликовниот и литературниот конкурс. На крајот беа сумирани резултатите од оваа година и се дадоа предлог активности за во иднина.

**Предметен наставник**
**Златка Панчевска**
**Наставник по македонски јазик**

**Проект: Училишни градини- училница од иднината**
**Извештај за реализација на содржини од проектот „Училишни градини“ за крај од учебната 2022/2023**

Содржините предвидени со програмата од проектот „Училишни градини“ во целост се реализирани.

Во септември беше планирана и реализирана содржината „Биодиверзитет, сорти и семиња“ со учениците од IV одделение, одделенскиот наставник и активистите на Slow Food Vodno во други активности.

Цели: Поттикнување на набљудувањето, истражувањето и директното препознавање на растенијата во градината, особено процесот на сеење и одгледување растенија и стимулирање на учениците да соработуваат едни со други, да работат во групи, да ги почитуваат другите и околната средина.

На крајот активноста заврши со кратко резиме за сработеното. Конечната порака до секој ученик е дека треба да е одговорен за растениоето кое го сеат – нивна одговорност е да го следат растението внимателно за да му овозможат правилен раст и развој.

Во месец септември беше реализирана уште една содржина „Ракување со семе“ со учениците од V одделение и одделенскиот наставник во други активности.

Цели: Стимулирање на учењето преку директни знаења од градината, особено темите за изучување на семињата, нивната класификација и размножување, да се зголеми свеста за концептот на биолошката разновидност на семето и важноста на нивната улога во природата.

Секој ученик зема контејнер, го полни до половина со пепел. На учениците им се објаснува користа од пепелта во заштита на семињата ид штетници и важноста на одржување на семињата на ваков начин, на ладно и суво место.

Октомври беше резервиран за содржината „Топчиња од глина и семиња“ со учениците од III одделение, одделенскиот наставник и активистите на Slow Food Vodno по предметот природни науки.

Цели: Поттикнување на набљудувањето, истражувањето и директното запознавање на природната средина, особено процесот на сеење и одгледување на растенијата, да бидат активни, да се преземе лична одговорност и автономија.

На крајот учениците знаат за квалитетот на избраните семиња (сезона, адаптација, треадиција, нехибридни семиња), улогата на глината за ‘ртење на семето.

Втората содржина планирана за октомври „Ѓубрење – органски ѓубрива“ беше реализирана со учениците од VI одделение, предметен наставник по природни науки и активистите по предметот Природни науки.

Цели: Да се разбере значењето на органските ѓубрива, да стекнат знаења за различните видови органски ѓубрива, изучување на компостот како органско ѓубриво, примена на компостот.

На крајот од активноста учениците знаат за значењето на органските ѓубрива во исхраната на растенијата, карактеристиките на компостот и неговата примена.

Поради градежни работи во училишниот двор, практичниот дел од проектот не се реализираше во текот на второто полугодие

**Одговорен наставник: Снеже Ангеловска**

## ИЗВЕШТАЈ
## ПОСЕТА НА СОБРАНИЕТО НА РС МАКЕДОНИЈА

На **02.12.2022г.,** ( *петок* ) учениците од **VIII** и **IX** одд., го посетиа Собранието на РС Македонија. Во рамките на организираната тура од страна на Парламентарниот Институт на Собранието на РС Македонија, учениците имаа можност да се запознаат со внатрешноста на законодавниот дом и најрепрезентативните простории, да научат за историјата, организацијата и функционирањето на Собранието како носител на законодавната власт.

Посетата е организирана со цел да се споделат внатрешните детали од просториите во објектот, нивното значење и да се проследи каде работат народните избраници ( пратеници ).

***Одговорен наставник: Александра Величковска***

## ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Тоа е подрачје во кое пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште поактивно ќе се вклучат. Планираните активности во годишната програма се реализирани. Дел од активностите на секциите се:

01.09.2022 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.09.2022 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2022 – месец на книгата,

Во текот на второто полугодие во рамките на вонаставните активности се реализираа работилници со учениците од I-IX одделение за личен, социоемоционален и психолошки развој на учениците.

Во просториите на ООУ "Григор Прличев" во населба Железара се одржа книжевната манифестација **“Есен во Гази Баба"** на која учествуваа и твореа учениците од основните општински училишта во општина Гази Баба.

Од нашето училиште со свои творби учествуваа 4 ученици на тема ,,Есеј во Есен,,од кои награден беше есејот на Сара Стефковска ученичка од 9а одделение под менторство на Златка Панчевска- наставник по македонски јазик.

## Извештај од одржани екскурзии

-Од 28 до 30 Септември учениците од IX одделение од нашето училиште беа на тридневна научна екскурзија низ Западна Македонија со сместување во Охрид. Патувањето беше интересно и возбудливо за учениците низ која се запознаа со природните убавини на нашата Македонија. Учениците поминаа три незаборавни дена со што ја покажаа својата дружељубивост, сплотеност, чуство за грижа и соработка.

- 07.10.2022 - еднодневен излет во Парк шума Водно за учениците од I до VIII одделение.

-Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба во соработка со планинарскиот клуб I love hiking - group Macedonia, денес 25.11.2022 година организираа еднодневна планинска и едукативна тура на Скопска Црна Гора.
Учениците имаа можност да уживаат во природната убавина и можност за планинарење на патеката Раштак - Сарачево - Јанков Камен.
Во оваа планинарска тура учествуваше и нашето училиште ООУ ,,Наум Охридски".

-27 и 28 Април учениците од VI одделение од нашето училиште со партнер училиштето ,,Његош,, Колонија Идризово беа на дводневна научна екскурзија низ Источна Македонија со сместување во хотел ,, Ла Тераца,, Дојран. Патувањето беше интересно и возбудливо за учениците низ која се запознаа со природните убавини на нашата Македонија. Учениците поминаа два незаборавни дена со што ја покажаа својата дружељубивост, сплотеност, другарство, чуство за грижа и соработка.

- Од 15 до 19 мај , учениците од V одделение од нашето училиште со партнер училиштето ,,Његош,, Колонија Идризово беа на Настава во природа со сместување во хотел ,, Гранит,, Охрид. Учениците поминаа пет прекрасни дена исполнети со посети и запознавање со убавините на нашата прекрасна Македонија. Учениците поминаа пет незаборавни дена со што ја покажаа својата дружељубивост, сплотеност, другарство, чуство за грижа и соработка

-На 23.05.2023 учениците од 3 одд. беа на еднодневна екскурзија во Кавадарци и Тиквешијата. Попатно го посетија локалитетот Стоби, винаријата Стоби, ХЕЦ Тиквеш, акумулацијата на Тиквешкото Езеро и рекреативниот центар Моглиште. Едукативен, сончев и забавен ден.

- На 25.05.2023 учениците од I до IX одделение од нашето училиште, заедно со своите наставници и вработени, реализираа еднодневен излет од рекреативен карактер во манастирот Св.Никита. Низ игра, смеа и дружење учениците поминаа еден убав ден.

- Во чест на големиот писател за деца Видое Подгорец на денот на неговото раѓање 08 Јуни 1934г. на 08 Јуни 2023г. во Струмица ООУ ,,Видое Подгорец“с. Колешино се одржа манифестацијата ,,Средби под јаворите,,.На отворениот конкурс за мултимедијален ИКТ проект на тема ,,Коктел за сон,, учествуваа претставници од многу училишта меѓу кои и нашето училиште зема учество. На овој настан свечено беа доделени дипломи, пофалници и благодарници на најдобрите ученици и наставници. Претставници од нашето училиште беа Елена Максимовска, Соња Апостоловска-Трајковска, Златка Панчевска и Марија Стоилковска и се закитија со пофалници за вложениот труд и успешната работа.Честитки до организаторите и реализаторите на овој настан кој беше вистинско доживување за сите љубители на книжевноста и пишаниот збор.

-На ден 27.04.2023 учениците од 3а и 3б одделение од нашето училиште ООУ "Наум Охридски", успешно учествуваа на меморијалниот настан "Играме од срце за Алек" кој се одржа во ООУ "Вера Јоциќ", организиран од Сојузот на училишен спорт на општина Гази Баба.

-Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на општина Гази Баба на ден 06.06.2023 во ООУ ,,Кирил и Методиј"- Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 4-то одделение во одделенска настава под мотото ,,Кошарката моја игра" каде учество земаа ученици од сите основни училишта од Општина Гази Баба. Целта на оваа активност е промоција на кошарката како спорт и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари.
Од нашето училиште учествуваа десет ученици, 4 девојчиња и 6 момчиња, кои прикажаа добри резултати во трите активности.

## Извештај од посета на кино

На ден 25.11.2022 беше реализирана посета на кино Милениум со учениците од I до V одделение од централното и двете подрачни училишта(с.Булачани, с.Црешево,с.Раштак).Цел на посетата беше учениците да се запознаат со поимот анимиран филм,да создаваат културни и хигиенски навики,почитување на кодекс на однесување и создавање навики за понатамошни посети на културни настани. Тргнувањето беше во 10 часот од пред училиштето со организиран автобуски превоз.По пристигнувањето на одредиштето учениците имаа прилика да го проследат анимираниот детски филм „Патот кон месечината“синхронизиран на македонски јазик.На општо задоволство на сите, учениците го следеа со посебно внимание и истиот го искористија на часот по македонски јазик при обработка на содржината анимиран филм со негово кратко прераскажување.

## Извештај од посета на театар

На ден 30.12.2022 год. беше реализирана посета на Драмски театар со учениците од I до V одделение од централното и подрачното училиште(с.Булачани, с.Црешево). Цел на посетата беше учениците да се запознаат со поимот драмска изведба, актери, сценографија, костимографија, светло и музика. Да создаваат културни и хигиенски навики, почитување на кодекс на однесување и создавање навики за понатамошни посети на културни настани. Тргнувањето беше во 9 часот од пред училиштето со организиран автобуски превоз. По пристигнувањето на одредиштето учениците имаа прилика да ја проследат театарската претстава „Новогодишен сон“. На општо задоволство на сите, учениците ја следеа со посебно внимание и остварија комуникација со актерите. Најважно од се е што во разговор со учениците дознавме дека правилно е разбрана пораката,односно „Доброто секогаш го победува злото“.

**Реализатори на посетата:**
**Одделенските наставници од I до V одделение**

## Проект- ,,Испитување на водата во селската река и набљудување на планктоните (зоопланктони-фитопланктони

Амбасадорот на ООУ,,Наум Охридски,, Соња Апостоловска-Трајковска заедно со своите колеги одделенски наставници ментор-Елена Максимовска, Оливера Јосифовска, Лила Стојковска, Биљана Белогаска од с.Црешево, во соработка со колешката биолог Марија Димитрова реализираа еднонеделен проект- ,,Испитување на водата во селската река и набљудување на планктоните (зоопланктони-фитопланктони)”. Запознавање на учениците со значењето и важноста и грижата на планктоните во нашата река. Заштита на реката како важен елемент во еко системот на живиот свет што живее во неа. Меѓуодделенска соработка на ученици од прво до петто одделение. Следење на ппт, Наставен лист , гледање микроскоп, изработка на макета, слики, цртежи, пано.

**-Проект запознавање на учениците со емотикоини (емоции) и нивното значење во секојдневниот живот.** Меѓуодделенска соработка на учениците од прво и трето одделение со нивните одделенски наставници Соња А. Трајковска и Елена Максимовски.
Општество и Македонски јазик-Преку интерактивни видеа од понудените на едуресурси-Нансен учениците слушаа, ги доживуваа емоциите и истите ги претставуваа со експресија на нивните лица. Притоа на таблата на која беа поставени емотиконите истите ги препознаваа и именуваа. Учениците беа поделени во две групи- едната група во парови лепеа исечени делови на лице (очи и уста), а втората група со врзани рачиња во пар цртаа емотикон по слушната емоција. Активноста се прошири со-**Ликовно образование-** самостојно цртање на емотиконите претставени на хамер, лепење на емотикони на децата од целиот свет со почитување на нивните разлики и игра **Физичко и здравствено образование**- со коцка (избор на емоција)- поставување на учениците на емотикони нацртани на чаршав.

**-Проект – честитки** Новогодишни честитки - нова година, нова среќа. Во оваа прилика се испраќаат бројни желби и честитки. Топлината и убавината на новогодишните празници е во магијата на споделувањето среќа, а таа се шири и пренесува само со убави зборови. Затоа овие денови без двоумење учениците направија и напишаа убава честитки на неколку светски јазици. Меѓуодделенска соработка на ученици од прво и трето одделение. Одговорни наставници Соња.А Трајковска, Елена Максимовска, и Александра Мирчевска.

| **Одбележани денови во одделенска настава со меѓуодделенска соработка помеѓу учениците.** | |
|---|---|
| **Светски ден на отпадот** | 15.09.2022 |
| **Светски ден за заштита на озонот** | 16.09.2022 |
| **Меѓународен ден без автомобили** | 22.09.2022 |
| **Светски ден на чистите планини** | 26.09.2022 |
| **Ден на животните** | 04.10.2022 |
| **Ден на наставниците** | 05.10.2022 |
| **Децата имаат право на среќа и среќни денови** | 06.10.2022 |
| **Светски ден на борба против природните катастрофи** | 13.10.2022 |
| **Светски ден на електронски отпад** | 14.10.2022 |
| **Светски ден на сиромаштијата и гладта** | 17.10.2022 |
| **Светски ден на јаболката** | 21.10.2022 |
| **Eu code week** | 22.10.2022 |
| **Ден на љубезност** | 11.11.2022 |
| **Деца со најубави имиња** | 03.12.2022 |
| **8 Декември Св. Климент Охридски** | 08.12.2022 |
| **Ден на човекови права** | 10.12.2022 |
| **Меѓународен ден на образованието** | 24.01.2023 |
| **Меѓународен ден на мочуришта** | 02.02.2023 |
| **Одбележан ден за Гоце Делчев** | 04.02.2023 |
| **Интернационален ден на пицата** | 09.02.2023 |
| **Одбележана недела на интернетот и информатика** | 10.02.2023 |
| **Ден на виното и љубовта** | 14.02.2023 |
| **Одбележан ден на влечење на јаже** | 19.02.2023 |
| **Светски ден на китовите** | 19.02.2023 |
| **Меѓународен ден на мајчиниот јазик** | 21.02.2023 |
| **Интернационален ден на поларната мечка** | 27.02.2023 |
| **Ден на ретките болести** | 28.02.2023 |
| **Светски ден за енергетската ефикасност** | 06.03.2023 |
| **Меѓународен ден на жената** | 08.03.2023 |
| **Меѓународен ден на математиката** | 14.03.2023 |
| **Светски ден на среќата** | 20.03.2023 |
| **Ден на пролетта** | 21.03.2023 |
| **Интернационален ден на заштеда на водите** | 22.03.2023 |
| **Ден на метерологијата** | 23.03.2023 |
| **Светски ден на борба против туберкулоза** | 24.03.2023 |
| **Ден на театарот** | 27.03.2023 |
| **Ден на шегата и смеата** | 01.04.2023 |

| | |
|---|---|
| **Светски ден на здравјето** | 07.04.2023 |
| **Ден на планетата земја** | 22.04.2023 |
| **Ден на македонскиот јазик и македонската азбука** | 05.05.2023 |
| **Светски ден на птиците преселници** | 14.05.2023 |
| **Меѓународен ден на музеите** | 18.05.2023 |
| **Светски ден на загрозените животни** | 19.05.2023 |
| **Светски ден за културна разноликост за дијалог и развој** | 21.05.2023 |
| **Одбележан ден на сесловенските просветители Кирил и Методиј** | 24.05.2023 |
| **Меѓународен ден на децата** | 01.06.2023 |
| **Светски ден на животната средина** | 05.06.2023 |

## Извештај од работилница на тема „ Детски парламент“

На 24.02.2023 година (петок) со почеток во 10:00 часот, тим од нашето училиште во состав од Калина Илиевска, Анастасија Тодоровска, Драгана Смилковска од VIII-б одд., и Јована Митковска од VII-б одд. под менторство на Александра Величковска – наставник по историја и граѓанско образование, зедоа учество на единаесеттото издание на работилницата **„Детски парламент”**, во организација на Парламентарниот институт, на која учествуваа 72 учесници од 15 основни училишта од целата држава.

Во првиот дел од работилницата, учениците имаа можност да поставуваат прашања на пратенички од различни пратенички групи во Собранието. Потоа следуваше презентација на изработени креативни паноа со пораки за пратениците изразени низ мисла, стих и цртеж. Темата на која беа подготвени паноата за овој Детски парламент беше **„Жените во политиката“**. Изработените паноа учениците ги презентираа пред 16 присутни пратенички од Клубот на пратенички во Собранието. Планирано е паноата да бидат искористени за организација на изложба во Собранието.

Во вториот дел, преку симулација на законодавна постапка на тема**: „Замена на хартиените учебници со електронски“** учениците развиваа аргументи со кои се поддржува или побива предложеното законско решение, а на крајот имаа можност и да гласаат по предлог решенијата. Дополнително, преку организирана обиколка на зградата, учесниците имаа можност и да ги видат најрепрезентативните простории од зградата на Собранието на РС Македонија.

## Извештај за хуманитарен настан

На 12.04.2023 ООУ НАУМ ОХРИДСКИ с.Булачани и во Подрачните училишта во с.Црешево и с.Раштак се одржа голем хуманитарен велигденски базар под мотото,, Со љубов за Никола,, Во кои се собраа финансиски средства за помош на неговото лекување во соседна Турција.

**Извештај за едукативна презентација ,,Читањето е супермоќ,,**

-По реализацијата на едукативната презентација во склоп на кампањата „Читањето е супермоќ“ во Општина Гази Баба, претставници на издавачката куќа „Арс Ламина“ го посетија нашето училиште. Целта на посетата беше донирање на 100 книги за училишната библиотека со цел збогатување на библиотечниот фонд и поттикнување на читачките навики кај децата. Донацијата се состои од изданија од едицијата „Лесно читливи лектири и читанки“ (одобрена од Филозофскиот факултет и здружението за дислексија „Ајнштајн“), збирки, вежбанки и други дидактички и нагледни материјали.

## Учеството на натпревари

-Денес се одржа есенскиот крос во СРЦ Хиподром организиран од страна на Сојузот на училишен спорт на Гази Баба во кои учествуваа повеќе од 300

ученици од општинските основни училишта во општина Гази Баба. Од нашето училиште учествуваа 25 ученици во различни категории. Нашата ученичка Матеа Ангеловска од 6 одделение освои прво место. Одговорен наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Тупоски.

-На ден 21.10.2022 во спортската сала Методија Андонов - Ченто се одигра училишен натпревар од второто коло од лигата во кошарка помеѓу ООУ,, Наум Наумовски Борче и ООУ,,Наум Охридски,, со резултат 17 : 11 за нашето училиште.

-На 10.11.2022г. во просториите на Детски културен центар ,, Карпош''-Скопје беше реализирана Ученичка квизотека.
Натпреварувачи на денешната Ученичка квизотека беа учениците од основните училишта:
ООУ „Наум Охридски"-Гази Баба
ООУ „ Кузман Шапкарев"-Кисела Вода
ООУ „Вера Јоциќ"-Гази Баба
ООУ „Лазо Ангеловски"-Аеродром
Нашите ученици Ангела Ѓорѓиевска, Александар Трајковски од 8а одд.
и Бојан Јовчевски од 9б одд.се вложија максимално во оваа квизотека.
Ментор на нашите ученици беше проф.м-р Јована Димовска
Меѓународна ликовна изложба '' Флора и фауна извор на животот и убавината - Ива Блажевска и Анастасија Тодоровска освоена златна диплома.
-Ликовен конкурс BaalRoom Top learning platform for children учество Јелена Димовска ментор Виолета Божиновска
-Есенска математичка школа 2022 одржана на природно-математички факултет во Скопје од 15.10.2022 до 03.12.2022. Нашите успешни ученици од четврто одделение под менторство на одделенскиот наставник Биљана Белогаска, со гордост ја понесоа својата награда.
-На општинскиот натпревар по математика одржан на 04.02.2023 г.,, нашите ученици ги постигнаа следните резултати:
Јована Митковска 7б - III награда,
Анастасија Ничевска 4в - III награда,
Зоки Ивановски 4в - пофалница.
-На 17.02.2023 меѓународната ликовна изложба на тема „Флора и фауна извор на живот и убавина" организирана од Детски ликовен центар, Градско здружение на ликовните педагози- Скопје, наградени се две наши ученички.
Ива Блажевска и Анастасија Тодоровска ученички од 8б одд се закитија со златна диплома под менторство на Виолета Тодоровска- наставник по ликовно образование.
-На општинскиот натпревар по хемија кој се реализираше на 24.02.2023 година нашето училиште, ООУ Наум Охридски, го претставија двајца ученици од 8 одделение Александар Трајковски и Ангела Ѓорѓиевска. Двајцата освоија трета награда и се пласираа за учество на регионален натпревар.

- На регионалниот натпревар по математика кој се одржа на 04.03.2023 година во ООУ ,,Крум Тошев,, ученичката Јована Митковска од 7б одделение освои III место под менторство на Маја Крстеска-наставник по математика и физика и Анастасија Ничовска ученичка од 4в одделение доби пофалница под менторство на Весна Јованова- одделенски наставник.

- На 02.03.2023 Ученичка квизотека со освоеното ПРВО место

- На 04.03.2023 година се одржа општински натпревар по географија за учебна 2022/2023 година во организација на Здружение на професори по географија во Македонија - ЗПГМ. Нашите ученици под менторство на м-р Јована Димовска ги освоија следниве резултати: Марко Стојковски од 6б одд. освои 100поени-1 место Ангела Ѓорѓиевска од 8а одд.освои 92 поени- 1место, и Матеја Блажевска од 7б одд.освои 86 поени-2 место,

- На 15.03.2023 на општинскиот натпревар по биологија учениците кои учествуваа од ООУ Наум Охридски и ги постигнаа следните резултати:

- Калина Илиевска од 8б и Јована Митковска 7б освоија втора награда,
- Ангела Ѓорѓиевска 8а и Александар Трајковски 8а освоија трета награда,
- Ена Стојковска, Ева Стојковска и Исидора Николовска освоија пофалници.

- На општинскиот натпревар по Природни науки кој се одржа на 10.03.2023 година нашите ученици ги постигнаа следниве резултати:

Теа Васовска VI одд – III награда
Ева Блажевска – V а пофалница
Димитар Атанасовски- Vb -III награда
Бојан Трајковски –Vb- III награда
Бојана Димитриевска –Vb - III награда
Мила Здравковска –Vb- III награда
Андреј Јовчевски –IV b –II награда
Давор Цветковски – IV b –III награда
Илина Маневска - IV b –II награда
Јана Трајковска – IV a –III награда
Моника Стевковска – IV a –III награда.

- На општинскиот натпревар по англиски јазик , кој се одржа на 18.03.2023 нашиот ученик Бојан Трајковски 5б одделение со својот ментор Александра Мирческа освои 3то место

-Регионален натпревар по математика за учениците од основното образование, одржан на 4 март 2023 година ученичката од VIIб одделение Јована Митковска оствари пласман на Државниот натпревар по математика

-На регионален натпревар по Природни науки кој се одржа 10 Април нашите ученици ги постигнаа следните резултати:
Мила Здравковска –Vb- III награда
Јана Трајковска – IV a –III награда
Андреј Јовчевски –IV b –III награда

Давор Цветковски – IV b –III награда
Илина МАневска - IV b –пофалница.
Теа Васовска VI одд – пофалница
Димитар Атанасовски- Vb -пофалница
Бојан Трајковски –Vb- пофалница
Моника Стевковска – IV a –потврда за учество

- На 13.05.2023 год. нашиот училишен тим на Црвениот Крст учествуваше на 43-от општински натпревар по прва помош. Екипата составена од :

Теа Митковска-капитен
Кристина Стојановска
Антонија Зафировска
Ангела Ангеловска
Давид Стефковски
Дамјан Гелевски
Тимот го освои 12то место од вкупно 20 екипи со 332 бода

-Креативниот тим од нашето училиште со наставниците Елена Максимовска, Соња Апостоловска-Трајковска, Златка Панчевска и Марија Стоилковска и нивните ученици учествуваа на конкурсот за наставници за ИКТ проект на тема „Коктел за сон“ и освоија ПОФАЛНИЦА за својот труд.

-По повод Светскиот ден на животната средина на Еколошкиот конкурс "Денови на екологијата" кој беше објавен на 21 Март, од општина Гази Баба, нашата ученичка Калина Стојковска ученичка од IVб одделение беше наградена со втора награда за ликовно дело.

- Во рамките на меѓу училишните натпревари за учениците од I до V одд. во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба, на 01.06.2023 г. во ООУ "Наум Наумовски Борче" се одржа Општинско првенство во шах за 2023 година каде учениците од I до V одд. се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.

- На ликовниот натпревар на тема „Учиме да се грижиме како да ја заштитиме животната средина и да го намалиме и рециклираме создадениот отпад“ во организација на ,, Макстил ,, АД Скопје нашата ученичка Мелани Ѓорѓиевска од 4 а одделение заедно со 320 млади уметници илустрираа како треба да изгледа Инвестирањето во нашата планета.
Цртежот на Мелани беше избран меѓу 11 најдобри. Мелани беше наградена со пофалница, ваучер за спортска опрема и пофалница за училиштето.

## Производствена и друга општествено – корисна работа

Целта на овој вид ,,работа,, е да се развива позитивен однос кон работата воопшто, да се негува почит кон работниот човек, средствата за производство, да се придонесува за правилно сваќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.
Во текот на полугодието беа спроведени следниве акции:
- Естетско уредување на училиштето и училишниот двор,
- Изработка на новогодишни украси,
- Украсување на училниците и ходниците во чест на Нова година.
-украсување на училиштата за осми март,
- украсување на училиштата за денот на пролетта,

## Ученички организации

Планираните активности на детската организација за овој период се реализирани.Членовите на организацијата беа вклучени во одбележувањето на значајни настани и празници ( Денот на независноста и самостојноста на РСМакедонија, Детската недела, Светскиот ден на мирот, 11 Октомври, 24 Октомври – денот на ОН, Денот на толеранцијата, Прием на првачиња во ПЦК ).

## ИЗВЕШТАЈ

## за спроведени активности од Детска организација

Нашето училиште **,,ООУ Наум Охридски,,** учествуваше на однапред планирани активности за развој на психофизичкиот, емоционален и друштвен развој за подобро прилагодување и поуспешна настава кај најмладите ученици првачињата.

- На почетокот на годината септември 2022 со пригодна програма,во училишниот двор се реализираше приемна приредба во чест на првачињата изведена од страна на учениците од другите одделенија. Со тоа се поттикна ведро расположение кај првачињата.

- паралелно на тоа беа избрани членови на детската организација од страна на учениците.

- Во месецот на децата Октомври 2022 и неделата на сите деца во светот со посебна чест и пригодна програма првачињата влегоа во Детската организација . Првачињата се почувствуваа дека припаѓаат и се дел од целата група на ученици во која нивните права секогаш ќе бидат почитувани. Сите активности беа изведени под мотото ,,Другарството е дел од детската среќа “

- Во месец декември 2022 беше изведена акција ,,Како да му помогнам на моето другарче ,, -будење на хуманитарна свест кај учениците.

Оваа акција беше донесена од Детскиот парламент и поддржана од сите вработени во училиштето. Учениците и наставниците собираа парични средства за семејство кое доживеа трагична сообраќајна несреќа и притоа со неколкукратни разговори и објаснувања се разви поголема хумана свест и сфатија дека подавањето помош на немоќните не прави поголеми личности и со тоа придонесуваме за поголем развој на поуспешно општество.

На почетокот од месец Март 2023 год. во пресрет на Меѓународниот ден на жената беа организирани креативни работилници со учениците за изработка на честитки,литературни и ликовни творби, со што учениците се стекнаа повторно со чувство на припадност и негување на својата традиција и дружење..

- Во месец Април 2023 на денот на шегата со својата креативност се претставија само учениците од 1 до 5 одделение. Своите изработени маски ги презентираа на училишниот маскембал,во училишниот двор.Се слушаше неизмерна смеа, хумор и ведро расположение.

- На крајот на годината се додели пофалница на најактивниот член на детската организација и му се додели награда и пофалница со што предизвика поттик за подобра комуникација, соработка, дружење и прифаќање на групата од страна на другите ученици.

-Учениците преминуваат во второ одделение, но и понатаму активно ќе соработуваат и ќе придонесуваат за подбар развој на учлилиштето, својата училишна заедница и создавање на позитивна клима со подобро дружење, соработка, соживот и меѓусебно почитување

Одговорен наставник,

Билјана Антанасова

## ИЗВЕШТАЈ од ПЦК

Годишната работа на ПЦК се одвиваше во неколку етапи од самиот почеток кога се и првите подготовки за нејзината работа па и понатаму со нејзина реализација.

Акции во **октомври** како, „Весела контрола“(хигиена),
„Најдобро уредена училница“ - акција за чистење и грижа за зеленилото
Во **ноември** се реализираше,предавање на тема
„Месецот за борба против пушењето,алкохолот и наркоманијата“.

Во **декември** беше реализирано,
01-07„Недела на борба против сидата“ како и
предавање за „Заштита на забите“.

Во **февруари** одржување на хигиената на ходниците,дворот.

Во **март** „Недела во борба против ракот“(1-7)-предавање
„Ден на крводарителство во Р.М.(17 март)

Во **април** „Меѓународен ден на здравјето“(7 април)-предавање

Во **мај** „8 Мај Светски ден на Црвениот крст“

Во **јуни** акција на собирање на стари учебници
Активностите за оваа година беа во целост реализирани.

**Одговорен наставник**
**Биљана Белогаска**

## Годишен извештај за работа на ученичкиот парламент

| Планирани активности (согласно Акцискиот План) | Реализирани активности (краток опис) | Временска рамка | Број на учесници |
|---|---|---|---|
| **Изготвување акционен план на училиштето** | Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците | Август | 6 |
| **Обука на тимот наставници од предметна и одделенска настава и стручна служба** | Зајакнати капацитети на наставниците од предметна настава за спроведување модели на ученичко учество и заштита на детските права во рамки на училиштето | Август | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Информирање за улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на останатите субјекти во училиштето** | Обезбеден сеопфатен училишен приод за демократска партиципација на учениците преку:<br><br>Мотивирање на поголем број класни раководители за активно учество во спроведување на процедурите.<br><br>Стекната поддршка на претставници на Советот на родителите<br><br>Информирани ученици | Септември-Октомври | 400 |
| **Спроведување на процедурата за избор на претседател во одделенските заедници** | Формирани тела со ученици од одделенските заедници согласно демократските процедури | Октомври | 370 |
| **Спроведување на процедура за избор на ученички парламент** | Формиран ученички парламент и избрани координатори и координаторно тело на ученичкиот парламент | Октомври | 18 |
| **Работилница 1 „Имам право да ги знам моите права“** | Запознаени ученици со содржината и значењето на Конвенцијата за права на детето, прилагодени кон соодветната возраст на учениците | Ноември | 40 |
| **Состаноци со одделенски заедници**<br><br>**Состаноци со ученички парламент** | Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br><br>Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права | Октомври / Ноември / Декември<br><br>Октомври / Ноември | 351<br><br>18 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Состаноци со ученик правобранител** | во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br><br>Промовира, дава, поддршка и заштита на учениците | Декември | 19 |
| **Дебата 3**<br>**Учениците треба да учествуваат во формирање на оценката** | Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за оценувањето | Мај 2023 | 3 часа |
| **Работилница**<br>***Интеркултурно образование*** | Применуваат правила со кои се одвива дебата помеѓу најмалку две спротивни страни,со аргументи за почитување и толеранција | Мај 2023 | 3 часа |
| **Дебата 3**<br>**Учениците треба да учествуваат во формирање на оценката** | Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за оценувањето | Мај 2023 | 3 часа |

Активностите на Ученичката заедница се речиси целосно реализирани според Програмата за работа на УЗ. Активностите се реализирани со физичко присуство.

Покрај предвидените активности со Акциискиот план за работа, Ученичката заедница реализираше и Велигденски базар.

Одговорен наставник: Александра Величковска

## Активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците

Во училиштето тековно се реализираат активностите предвидени со програмата за грижа на училиштето за здравјето на учениците.
На почетокот на учебната година, на родителска средба, родителите беа запознаени со можноста за осигурување на учениците, кое се изврши на доброволна основа за сите ученици од училиштето.
Беа организирани неколку предавања за одредени заразни болести:
Како да се заштитиме од Ковид 19 (октомври)

Заштита и безбедност на децата на интернет (октомври)
Заштита од онлајн меѓуврсничко насилство ( ноември)

- **СИДА**, одбележување на Светскиот ден за борба против сидата, 1- ви декември.

Организирана работилница од ПЦК ,, Превенција и заштита од ХИВ СИДА и сексуално преносливи болести ,, за учениците од IX одделение.

Одделенските раководители посветија внимание и на подобрување на здравјето на учениците:

- дискусија за „**Умерена и разновидна исхрана-важна за здравјето на учениците**“ одбележување на 16 Октомври: Светски ден на храната (октомври)

Се обрна внимание и на подигнување на здравствено воспитување со што се допринесе во изградување на здрава личност (психички, физички и социјална) способна да се грижи за своето здравје и здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница.Работилниците се реализираа онлај.

-Во училиштето има Комисија за следење на заразни болести која има изработено План за следење на заразни болести, според кој ќе се дејствува доколку се појави некоја заразна болест меѓу учениците.

-На ден 27.10.2022 год. во нашето училиште ООУ ”Наум Охридски” с. Булачани - Скопје и во централното – с.Булачани и подрачното – с.Црешево се одржа предавање на тема “**Превенција од дроги и штетни влијанија од алхохолот“** од страна на Center for Youth Activisam KRIK / КРИК.

Целна група на предавањето беа сите учениците од 8-мо и 9-то одделение од централното и подрачното училиште. Предавањето се реализираше во два термина од 12:00-14:00 часот во с.Црешево каде одговорен наставник беше Билјана Белогаска и од 14:30-16:30 часот во с.Булачани каде одговорни наставници беа Златка Панчевска, Марија Сотировска и Александра Величковска.

Предавањето на тема “Превенција од дроги и штетни влијанија од алхохолот“ го реализираа двајца предавачи (Игор и Сара Димовска) и два волонтери претставници од Р. Турција. Предавањето започна со две интерактивни игри наменети за сите ученици кои им ги презентираа волонтерите на англиски јазик предводени од страна на предавачите. Презентациите на тема-дрога и алхохол беа реализирани од страна на предавачите од организацијата КРИК. Учениците зедоа активно учество во сите интерактиви игри и поставуваа љубопитни прашања. Посебен интерес појавија кај презентацијата на тема – дрога. Во овој сегмент од предавањето се стави акцент на тоа какви видови дроги постојат, нивните краткорочни и долгорочни негативни последици и начинот од лекување од оваа зависност. Околу оваа тема се разви плодна дискусија помеѓу учениците, предавачите и одговорните наставници.

По двочасовна дружба предавањето заврши со предлог и во иднина соработката да продолжи.

Одговорни наставници: Златка Панчевска и Билјана Белогаска

-На ден 11.11.2022 година во училиштето во с.Булачани се спроведе **Симулациона вежба "Евакуација на ученици, повредени, персонал, во случај на земјотрес и пожар" .**

Во реализацијата на оваа активност, свој активен придонес дадоа волонтерите од Тимот за одговор при катастрофи со два тима кои вршеа симулираа пребарување - спасување и евакуација на повредени лица.

Целта на вежбата е проверка на процедурите за евакуација во ООУ,, Наум Охридски,, како и спроведување на интерниот план за заштита и спасување од елементарна непогода.

Симулациона вежба е реализирана на барање на училиштето.

Благодарност до Црвениот крст на Град Скопје и волонтерите кои учествуваа во Симулационата вежба и придонесоа вежбата да биде успешна.

-На ден 27.10.2022 во посета на нашето училиште беше Др. Роберт Петрушевски, ветеринар кој одржа интерактивна работилница " Кучињата и децата" со цел учениците да знаат да препознаат агресивно куче, како да се однесуваат со уличните кучиња, што значи домашно миленичe, како да се грижиме за него и се што се подразбира под одговорно сопственишство. Најважно е што научивме да ги сакаме кучињата и го победиме стравот, а посакавме да ги имаме и во нашиот дом како домашни миленици.Кучето е најголемиот и најверниот пријател на човекот. Но, знаеме ли соодветно да ја наградиме неговата верност.

27.10.2022 – Кучето и детето да бидат весели и безбедни пријатели.(за учениците под одделенска настава)
27.10.2022- Превенција од дроги и штетни влијанија од алкохолот. –(за учениците од предметна настава)
07.04.2023 –Здрава исхрана и последици од неправилната исхрана
24.03.2023 – Превенција од туберкулоза
Посета на институција на подрачната канцеларија на Црвен Крст на Гази Баба назив Општинска организација на Црвен Крст на Гази Баба

## Извештај за систематски прегледи кај учениците и вработените

Учениците од училиштето редовно имаат систематски прегледи и се имунизираат според планот на Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи кое праќа покани до училиштето, а учениците заедно со одделенските раководители се придржуваат кон тие термини.

Во училиштето се изведуваат активности за едукација за орално здравје преку организирани работилници на тема: „Градба и функција на орална празнина" и „Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери„, како и превентивна стоматологија на покана од Здравствен дом, одделение за

превентивна стоматологија според нивниот распоред:

| **Систематски прегледи и вакцинации** | | |
|---|---|---|
| **2022/2023** | I | 20.10.2022 |
| | II | 28.11.2022 |
| | IX | 29.11.2022 |
| | VII | 30, 31.01.2023 |
| | V | 27, 28.02.2023 |
| | III а,б,в | 28.03.2023 |
| | VII | 16.05.2023 |
| | | |
| **Стоматолошки преглед и залевање на трајни заби** | | |
| **2022/2023** | VII | 26.09.2022 |
| | IV а,б,в | 06, 07.02.2023 |
| | III а,б,в | 13, 14.03.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| | I а,б,в | 08, 09.05.2023 |
| | I а,б,в | 31.05.2023<br>01.06.2023 |

Во јуни 2020 година сите вработени беа на редовен систематски преглед во ЈЗУ Железара, Скопје, а во август 2020 беа на редовен Санитарен преглед во Центар за јавно здравје, Скопје.

Октомври 2021 година сите вработени беа на редовен Санитарен преглед во Центар за јавно здравје, Скопје.

Сетември 2022 година сите вработени беа на редовен систематски преглед во ЈЗУ Железара, Скопје.

## Стручно усовршување на наставно – воспитниот кадар
## Професионален развој на образовниот кадар

Наставниците ги посетуваа семинарите организирани од МОН и БРО , Фондацијата „Чекор по чекор“,и ,,Институт за човекови права,, кои ќе придонесат за изведување на поквалитетен воспитно – образовен процес. Во текот на годината наставно – воспитниот кадар ги посети планираните семинари и обуки.

| Обука | Организатор | Време на реализација | Наставници кои ја посетиле обуката | Потврда/ сертификат |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибер насилство и сл.** | Биро за развој на образование | 25.10.2022 | Стручна служба | Сертификат |
| **Учење преку истражување, работа на проект и решавање на проблеми** | Биро за развој на образование | 22-23.11.2022 | Сите наставници | Сертификат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Kako ucionicu pretvoriti u laboratoriju?** | интернационален | 23.11.2022 | Јована Димовска | Сертификат |
| **Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени** | | 13.10.2022 | Јована Димовска | Сертификат |
| **STEM Challenge** | интернационален | | Јована Димовска | Сертификат |
| **ELTOC Chapter 4** | интернационален | 9-10.12.2022 | Јована Димовска | Сертификат |
| **Заедно кон подобро образование** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 29.09.2022 | Одделенска | Сертификат |
| **Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 29.09.2022 | Одделенска | Сертификат |
| **Развивање креативни вештини преку визуелни приказни** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 05.10.2022 | Одделенска | Сертификат |
| **Методи и пристапи за учење преку решавање на климатските промени** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 13.10.2022 | Сите наставници | Сертификат |
| **Улогата на ресурсниот центар во подршка на редовните основни училишта** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 27.10.2022 | Одделенска | Сертификат |
| **Рана интервенција достапни опции и услуги** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 08.11.2022 | Одделенска | Сертификат |
| **Инклузивни тимови во градинка искуства и следни чекори** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 29.11.2022 | Одделенска | Сертификат |
| **Предизвикувачко однесување-справување и добри** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 01.12.2022 | Одделенска | Сертификат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **практики** | | | | |
| **Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 29.09.2022 | Златка Панчева | Сертификат |
| **Играта и детето** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 01.11.2022 | Златка Панчева | Сертификат |
| **Рана интервенција- Достапни опции и услуги** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 08.11.2022 | Златка Панчева | Сертификат |
| **Настава за развивање критичко мислење кај учениците** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | / | Виолета Божиновска | Сертификат |
| **Едукативна работилница од областа на психологијата** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | / | Виолета Божиновска | Сертификат |
| **Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби / попреченост** | ЦЕС Академија | 03-04.11.2022 | Билјана Оливеровска | Сертификат |
| **Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблем** | ЦЕС Академија | 22-23.04.2023 | Билјана Оливеровска | Сертификат |
| **Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици** | Образовна академија Виртуал-М | 22.06.2023 | Билјана Оливеровска | Сертификат |
| **EU CODE WEEK BOOTCAMP 2022** | European Schoolnet Academy | 17 часа | Brussels, November, 2022 | Сертификат |
| **Beyond Networking: School-to-School Mentoring for Digital** | European Schoolnet | 20 часа | Brussels, November, 2022 | Сертификат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Innovation** | Academy | | | |
| **Teaching Authentic Engish** | TEFL HORIZONS WEBINARS SERIES TEACHING ENGLISH ONLINE | 1.5 часа<br>18.11.2022 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Foolproof Lesson Framework** | TEFL HORIZONS WEBINARS SERIES TEACHING ENGLISH ONLINE | 1.5 часа<br>17.11.2022 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Creating and Adapting Dynamic Materials** | TEFL HORIZONS WEBINARS SERIES TEACHING ENGLISH ONLINE | 19.11.2022<br>1.5 часа | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **The Live Lesson Planning Challeng** | TEFL HORIZONS WEBINARS SERIES TEACHING ENGLISH ONLINE | 1.5 часа<br>20.11.2022 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Стимулација на говор во рана возраст + Cboard** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 2 часа<br>24.11.2022 | Одделенска настава | Сертификат |
| **Teaching Strategies and Q & A Forum** | TEFL HORIZONS WEBINARS SERIES TEACHING ENGLISH ONLINE | 1.5 часа<br>26.11.2022 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Обука за интеркултурно образование- Модул А** | Нансен Дијалог Центар Скопје | Мај 2022-Октомври 2022 | Оделенска настава | Сертификат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Предизвикувачко однесување – справување и добри практики** | ЕДУИНО ВЕБИНАР | 2 часа<br><br>01.12.2022 | Оделенска настава | Сертификат |
| **Make it open schooling** | European Schoolnet Academy | 09 January - 15 February 2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Основи на сајбер безбедност со МКД-ЦИРТ** | Метаморфозис | 2 часа<br><br>15.02.2023 | Оделенска настава | Сертификат |
| **Teaching AI- based English Proficiency Tests Preparation** | Golden English | 4 часа<br><br>27 February 2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **OXFORD University Press**<br><br>**ELTOC** | Oxford Professional Development Event<br><br>ELTOC Chapter 5 Block 4 | 260 минути<br><br>18.03.2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Empatico Exchange** | EMPATICO | 60 минути 21.03.2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Врсничко насилство: рано препознавање и стратегии за превенција и справување** | Научен институт за применети истражувања за бизнис | 2 часа 11.05.2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми** | CES Academy | 8 часа Февруари, 2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Unlocking the Power of AI in Education** | European Schoolnet Academy | 16 часа Април, 2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |
| **Theory and Practice with a Twist Conference** | Национален настан со странски предавачи | 4.5 часа<br><br>28.04.2023 | Александра Мирчевска | Сертификат |

## Работа на стручните органи и тела

Работата на стручните органи и тела се остварува според направената програма. Во текот на полугодието одржани се седници на Одделенскиот совет и на Наставничкиот совет. На седниците на **Одделенскиот совет** беа разгледувани прашања од воспитно – образовната работа во училиштето. Особено се даде акцент на успехот и поведението на учениците и насоките за нивно подобрување.

На седниците на **Наставничкиот совет** покрај разгледувањето на успехот и поведението на учениците беа разгледувани и тековните прашања во врска со организацијата на воспитно – образовниот процес. Овој стручен орган во текот на учебната година ќе работи на полето на:

- организација на воспитно-образовната дејност,
- планирање на воспитно-образовната дејност,
- унапредување на наставата, стручно усовршување на наставниот кадар,
- разгледување на анализи, извештаи и друг вид доставен материјал врзан за реализација на наставно - воспитниот процес во училишето,
- редовно водење на педагошка евиденција и документација

Воедно беа презентирани и сите информации кои беа доставени од МОН и од БРО, како и дискутирано беше по сите прашања во врска со кои наставниот совет требаше да се произнесе во писмена форма кон МОН и БРО.

## С Т Р У Ч Н И  А К Т И В И

Во училиштето работат следните активи:

- Стручниот актив на одделенска настава
- Стручниот актив на природно – математичка група предмети
- Стручниот актив на општествено – јазична група на предмети
- Стручен актив на техника, спорт и уметност

## Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

**За работата на стручниот актив за одделенските наставници од I до V одд**
**учебна 2022 /2023**

Во текот на целата учебна година Стручниот актив на одделенски наставници заедно со директорот на училиштето и стручната служба педагогот, психологот и дефектологот, одржа десет отворени работни средби во учебната 2022/2023 година.

На состанокот одржан во месец јули беа разгледани и се дискутираше за изминатите активности. Беше избран претседателот на одделенскиот актив – Весна Јованова како и записничар на одделенскиот актив - Сања Костовиќ Николовска за учебната 2022/2023. Потоа беше приложена програмата за работа на стручниот актив за следната учебна година. Нагледните часови беа распределени по месеци. Секој наставник избра наставна содржина ги кажа своите цели, времето, содржината, ресурсите и очекуваните ефекти од тој час. Целта на програмата е унапредување на наставата преку примена на современи наставни форми, методи, средства и техники.

На вториот состанок одржан на 12.9.2022 г. одделенскиот наставник Сунчица Стојковска реализираше отворен час во I одд. по наставниот предмет Македонски јазик, на наставната содржина „Реченица – видови реченици според значењето.

На третиот состанок одржан на 13.102022 г. одделенскиот ннаставник Елена Максимовска ги оспособи наставниците за практична примена на смарт табла во наставата со цел оваа помагало да им ја олесни работата на наставниот кадар, но и прегледноста кај самите ученици.

Психологот Елизабета Синделиева, педагогот Марина Миткова и дефектологот Ивона Величковска на четвртиот состанок на тема: ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ВЕРБАЛНОТО НАСИЛСТВО одржан на 10.10.2022г**.** преку презентација не запозна најпрвин со чувствата и емоциите на децата и нивното справување кога има негативни блокади и емоции. Како да се справат учениците со врсничкото насилство во училиштата. Подоцна го презентираа вербалното насилство, „Cyberbullying“ или онлајн насилство, и физичкото насилство. Беа

истакнати и објаснети сите три вида на насилства преку примери со деца.

На 16.2.2022 г. се одржа петтиот состанок реализиран од страна на одделенскиот наставник Оливера Тушевска Столеска на наставниот предмет математика, на тема: ГЕОМЕТРИЈА -2Д-форми (рамностран, рамнокрак и разностран, остроаголен, правоаголен и тапоаголен триаголник, дијагонала на многуаголник).

На шесттиот состанок одржан на 30.12.2022г се разговараше за полугодишниот извештај на работата на Активот на одделенски наставници. Се дадоа и предлози да се реализираат наставни часови со примена на Смарт таблите во наставата со што ќе се овозможи осовременување на наставата.

Отворениот час на 8.2.2023г го одржаа психолог Елизабета Синделиева, педагог Марина Миткова дефектолог Ивона Величковска кој беше на тема: Семејството и заедницата. Стручна служба преку презентација не запозна со двонасочна комуникација помеѓу учителите со семејствата и другите членови на заедницата.Подоцна ги споделија и мислењата и истаржувањата на познати педагози и учители како Пејт и Ендрус,. Хендерсон и Мап, Хувер-Демпси и Сандлер, Волберг,и Епстеин кој нуди шест форми на вклучување на членовите на семејствата родителство, комуникација, волонтерство, учење дома, донесување одлуки, соработка со заедницата.

На 8.3.2023 г. по наставниот предмет ликовно образование отворен час одржа одделенскиот наставник Сања Костовиќ Николовска на тема: Печатење - Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).
По наставниот предмет математика на 3.4.2023 г. отворен час реализираше одделенскиот наставник Весна Јованова. На наставната тема: Геометрија и решавање проблеми учениците научија да разликуваат 3Д форми според бројот и видот на страните, бројот на темињата и рабовите.
Наставникот по физичко и здравствено образование Ненад Рајковчевски на 3.5.2023 г. реализираше отворен час на тема: Спортувам и играм. Учениците се стекнаа со познавања од подвижни игри (елементарни игри, штафетни игри).
На последнит состанок одржан на 14.6.2023 г. Се разговараше за реализацијата на додатна настава, постигнатите резултати од одржаните натпревари, согледувања на добрите страни и евентуални пропусти во планирањето или во реализацијата на програмата. На крај се анализираше и дискутираше за успешноста на реализираните часови и договор за наредната година.

На сите состаноци присуствуваа сите одделенски наставници од I – V одд, психологот – Елизабета Синдилиева и директорот на училиштето Елизабета Андова.

Според одржаните средби и часови може да се заклучи дека Активот на одделенските наставници во целост го реализира планираното со надеж за уште поуспешни средби.

**Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј**

**за работата на стручниот актив на природно – математичката група предмети**

**- учебна 2022/23 година –**

Стручниот актив на природно – математичката група предмети во првото полугодие на учебната 2022/23 година работеше според предходно изготвената програма за работа.

Во месец август се одржаа првите состаноци на активот во просториите на ООУ "Наум Охридски" с. Булачани, на кои се изврши разгледување и анализа на постигнатите резултати по природна група предмети во претходната учебна година, како и усвојување на програмата за работата на стручниот актив на природно – математичката група предмети. На состанокот присуствуваа сите членови на стручниот актив. Беше договорен сериозен пристап кон работата и превземање на соодветни одговорности од страна на секој член на активот.

Во месец септември се реализира стручно предавање: Учење преку STEAM активности со сите членови на активот, со цел подобрување и усогласен приод во работата на наставниците преку примена на принципите на меѓупредметна интеграција.

Во месец октомври се изврши - Анализа на наставните програми и утврдување меѓупредметни цели– подготовка за практична примена во наставата. Наставниците од активот во своите годишни и тематски планирања утврдуваат меѓупредметни цели,  содржини кои ќе ги искористат во подготовка за нивна практична примена во наставата.

Во ноември се одржа нагледен час со интегрирани цели од најмалку два предмети.  Часот го спроведоа наставничката по природни науки Марија Димитрова и наставничката по географија Јована Димовска.
Наставна содржина на часот беше ,,Ефектот на стаклена градина и климатски промени ,состав и поделба на атмосферата".

Во декември се одржа нагледен час со интегрирани цели од најмалку два предмети.  Часот го спроведоа наставничката по математика Маја Крстеска и наставничката по хемија Соња Рулеска.
Наставна содржина на часот беше ,,Статистичко претставување на резултати од хемиски експерименти".

Стручниот актив на природно – математичката група предмети продолжи со својата работа според предходно изготвената програма и во второто полугодие.

Во месец јануари се изврши анализа на полугодишните оцени на учениците по природната група предмети и усвојување на извештај за работата на стручниот актив за првото полугодие.

Во месец февруари се реализираше STEAM проект - ,,Триаголникот – најцврстата форма која постои".

Планираните посети на планетариум, на ботаничка градина и лабаратории во Природно – математичкиот факултет и посета на природно – научен музеј и зоолошка градина не беа реализирани од оправдани причини и ќе се реализираат следната учебна година.

Во месец јуни и јули се изврши утврдување на успехот и постигањата на учениците на крајот на учебната година, планирани и реализирани часови. Согледување на добрите страни и евентуалните пропусти во планирањето или во реализацијата на програмата.

**Одговорен наставник:**

**Маја Крстеска**

**Годишен извештај**
**од работата на Стручниот актив на општествено - јазична група на предмети за за учебната**
**2022 /2023**

Во текот на целата учебна година Стручниот актив на општествено - јазична група на предмети одржа десет отворени работни средби со предметните наставници од оваа група во учебната 2022/2023 година.

На состанокот одржан во месец август беа разгледани и се дискутираше за изминатите активности.Беше избран одговорен наставник за активот за учебната 2022/2023.Потоа се даваат предлози активности за новата учебна година.

На вториот состанок во месец септември се изработи годишната програма за работа на активот со активности кои се планираат за оваа учебна година.Нагледните часови беа распределени по месеци.Секој наставник избра наставна содржина ги кажа своите цели, времето, содржината,ресурсите и очекуваните ефекти од тој час.

Во месец септември,октомври,ноември и декември, јануари, февруари, март, април, мај и јуни беа одржани нагледни часови по француски,македонск англиски јазик.Часовите беа посетени и проследени со дискусија. На часовите беа користени компјутери во наставата и други аудио-визуелни

помагала,различни форми,методи и техники на работа ,како и различни форми и методи на следење и оценување на напредокот на учениците.

Според одржаните средби и часови може да се заклучи дека Активот на општествено-јазичната група во целост го реализира планираното со надеж за уште поуспешни средби..

**Одговорен наставник,**
**Александра Мирческа**

## Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј
**за работата на стручниот актив на техника,спорт и уметност**
**- учебна 2022/23 година –**

Стручниот актив на техника,спорт и уметност во првото полугодие на учебната 2022/23 година работеше според предходно изготвената програма за работа.

Во месец септември се одржаа првиот состанок на активот во просториите на ООУ “Наум Охридски” с. Булачани, на кои се изврши разгледување и анализа на постигнатите резултати во претходната учебна година, како и усвојување на програмата за работата на стручниот актив.
Беше избран едногласно нов претседател на стручниот актив. На состанокот присуствуваа сите членови на стручниот актив.

Во месец октомври се изврши - Отворен - нагледен час на тема: Атлетика – трчање; Наставна содржина: Штафетно трчање – увежбување – реализиран од наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Тупоски.

Во ноември се одржа отворен - нагледен час на тема: Работа со материјали и конструирање - Наставна содржина: Изработка на кутија за пакување на производ–реализиран од наставникот по техничко образование Фросина Јанакиевска.

Во декември се одржа отворен - нагледен час на тема: Цртање - Наставна единица: Контрастни форми и бои-( новогодишен мотив декорација) реализиран од наставникот по ликовно образование Виолета Божиновска
Стручниот актив на техника, спорт и уметност пред продолжи со својата работа според предходно изготвената програма и во второто полугодие.

Во месец јануари се изврши анализа на полугодишните оцени на учениците
по предметите од техника,спорт и уметност и усвојување на извештај за работата
на стручниот актив за првото полугодие.

Во месец март се одржа отворен - нагледен час на тема; музичко сценски дела Наставна содржина: Опера – историјата и создавање на операта – реализиран од наставничката по музичко образование Виолета Ѓорѓиевска.

Во месец април се одржа отворен - нагледен час на тема: Моделирање, наставна единица - Моделирање на форми со примена на контраст и се направи увид во извештајот од учество на постојани ликовни изложби во рамките на матичното училиште.

Во месец мај се одржа состанок и отворен час на тема – игри – наставна единица „Игри без граници„- од наставникот по Физичко и здравствено образование Ненад Рајковчевски.

- Резултати од работата на активот во текот на целата учебна година.

Сите состаноци беа реализирани во целост спрема планирањето. Целта поединечна на секој член од активнот беше постигната, како и севкупната цел на стручниот актив. Комуникацијата со учениците се одвиваше непречено, планираните содржини се реализираа во целост на едно задоволително ниво. Согледување на добрите страни и евентуалните пропусти во планирањето или во реализацијата на програмата

**Одговорен наставник:**
**Ненад Рајковчевски**

## Активности на психологот

Психологот во рамките на својата програма ги реализира планираните задачи за овој период. Стручната работа на психологот е целосно испланирана како по подрачја така и по месеци и истата се реализира на тој начин. Уредно и навремено се изработени анализите на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие и на крајот на првото полугодие. Истите беа презентирани пред наставничкиот совет и наидоа на максимално внимание од страна на присутните по што следеше исцрпна дискусија.

Советодавната работа со учениците кои покажуваа неадаптирано поведение, намален успех беше реализирана во континуитет и таквите случаи се следени. Контактите со родителите се одвиваа со спонтана динамика и тоа со оние родители чии деца манифестираа дисциплински проблеми како и проблеми со успехот во учењето. Кај дел од овие случаи проблемите се лоцирани, согледани, од што се очекува подобрување на однесувањето и успехот на учениците. Педагошката евиденција се води редовно и уредно.

Советувањето на родителите се реализира согласно поставените законски одредби - по завршувањето на првото тромесечие, по завршувањето на првото полугодие. Повикани беа родители на оние ученици кои имаа три и повеќе негативни оценки. како и оние родители чии деца имаат повеќе изостаноци.

Советувањето на учениците се реализира согласно поставените законски одредби - по завршувањето на првото тромесечие, по завршувањето на првотто полугодие. Повикани беа оние ученици кои имаа три и повеќе негативни оценки и оние кои имаа повеќе изостаноци.

Во доменот на педагошко – инструктивната работа беа посетени наставници на час за што се изготвени и протоколи. Од увидот во дневните подготовки сознанијата се дека одговорноста и уредноста кај наставно – воспитниот кадар задоволува. Посетата на часовите се одвиваше он лине за наставниците кои предаваат од четврто до деветто одделение. За оние кои реализираат настава со физичко присуство, со присуство на часовите.

Психологот е активно вклучен во активностите за реализација на проектите кои се работат во училиштето. Проектот Интеграција на еколошката едукација во воспитно – образовниот систем е имплементиран во наставата согласно барањата на истиот. Воедно за истиот се планирани и активности надвор од наставата во кои е вклучен и психологот.

За активностите за проектот Меѓуетничка интеграција во образовниот систем беше изготвена програма која се реализира тековно и е инкорпорирана во наставните содржини. Воедно испланирани се и активности надвор од наставата со партнер - училиштето. Одржаните часови во рамките на овие проекти беа посетени од стана на психологот и директорот на училиштето со задолжително ажурирање на соодветната документација за тоа.

Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот Намалување на насилството – како да се сменат нештата одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.

Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици. На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.

Во наставата беа планирани активности со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.

Секако битен момент во едукацијата беше и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на учениците за прифаќање на ненасилно однесување.

Во врска со активностите за проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците изготвена е програма која е реализирана согласно протоколите. Планираните заеднички активности се реализирани во соработка со учениците, наставниците и родителите.

За потребите на учениците контактирани беа Заводот за ментално здравје, Центарот за социјална работа.

Оваа година продолжува соработката со Министерството за труд и социјална работа каде што службата е вклучена во ажурирање податоци за своите ученици за добивање образовен додаток.
Увидот во водењето на педагошката документација и евиденција – одделенски дневници се врши континуирано.
Контактите со МОН и БРО се одвиваа согласно нивните побарувања за податоци и информации за ажурирање на нивната работа.

## Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја

**1. Работа со ученици**

- Идентификација на ученици со попреченост и прижање соодветна поддршка, опсервација, разговор, изготвени планови, насоки, препораки за поддршка на учениците во учењето

- Процена на индивидуалните потенцијали на учениците, дефектолошка дијагностика на ученици со попреченост, проценување на индивидуалните способности и потенцијали

- Изработка на програма за општа подршка за учениците со потешкотии во совладување на наставната програма

- Изработка на долгорочнен ИОП за учениците со ПОП, јасно определени јаки и слаби страни на учениците

- Подобрување на психомоторните способности на учениците со ПОП и подобар успех во усвојување на наставните содржини преку индивидуална работа со учениците со попреченост и потешкотии во учењето (вежби за реедукација на психомоторика, вежби за говорно-јазична оспособеност, вежби за подобрување на фина моторика, вежби за внимание и концентрација, вежби за подобрување на когнитивните способности, вежби за подобрување на перцепција, меморија, мислење, помнење)

- Вклопеност на учениците со попреченост во наставата, успешно совладување на целите на наставата

- Следење на напредокот и постигнувањата на учениците со попреченост

**2. Работа со наставници**

- Советодавно – консултативна работа со наставниците за изработка на средночни ИОП и за учениците со ПОП,

- Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на соодветни форми, методи и техники на работа со учениците со ПОП
- Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци
- Запознавање и примена на специфичните методи на работа со учениците со попреченост, Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци
-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценувањето на учениците со ПОП

**3. Работа со родители**

-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето, начини и методи на учење и повторување на стекнатите знаења
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби, постојана комуникација и подршка на родителите

**4. Соработка со заедницата**

- Соработка со основните училишта од о.Гази Баба и пошироко, Размена на сознанија и информации значајни за работата

- Соработка со ОУРЦ Иднина во насока за обезбедување на континуирана поддршка и помош на учениците со ПОП и нивните родителите

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Изготвување личен план за професионален развој
- Учество во размена на искуства преку активно учество на Координативни средби на општинските основни училишта од страна на ОУРЦ Иднина
- Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
- Учество на онлај работилници;
- Учество на обуки и семинари
- Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Помош и поддршка на наставнците за реализација на процесот на инклузија.

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

- Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава
- Увид и анализа во долгорочниот, среднорочниот и краткорочниот ИОП
- Учество во изготвување годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето
- Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава
- Изготвување на полугодишен / годишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

- Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/23г.
- Учество во изработка на годишна програма за училишен инклузивен тим;- Планирање и програмирање на сопствената работа

- Координација на изработката на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП
- Учество во изготвување програма за работа на училишниот инклузивен тим во својство на координатор
- Следење и вреднување на наставниот процес-посета на часови во паралелки каде има ученик со ПОП

**8.Сопствена евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини
- Водење хронолошки дневник за работа
- Водење на дефектолошко досие и извештаи одиндивидуалната работа со учениците со ПОП
- Водење евиденција од индивидуалната работа со учениците со потешкотии во наставниот процес
-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

**Специјален едукатор и рехабилитатор**
**Ивона Величковска**

## Извештај за работа на училишен инклузивен тим

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Начин на реализација: со физичко присуство/ онлајн | Форма на реализација: групна / индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање на политика за работа со ученици со посебни образовни потреби** | Формирање на тим за инклузија на учениците со попреченост<br>Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија<br>-Избор на стратегии за успешна едукација и социјализација на учениците со попреченост | Август | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Наставници<br>Родители | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Успешна реализација на планираните активности | Физичко присуство | Индивидуална<br>Групна |
| **Евиденција на учениците со** | Запознавање на УИТ со учениците | Октомври | Училишен инклузивен тим | Прибирање на релевантни | Преглед и евиденција на ученици | Физичко присуство | Индивидуална<br>Групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **попреченост** | на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка<br><br>Разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје и од МКФ | | | податоци потребни за работа на училишниот инклузивен тим | те и видот на попреченоста<br><br>Изготвена база на податоци за ученици со попреченост | | |
| **Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците** | Примена на инструменти за опсервација и дијагностика | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br><br>Наставници | Чек листи<br><br>Листа за опсервација<br><br>Прашалници<br><br>Тестови за проценка | Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците Надминување на пречките кај учениците со попреченост и нивна успешна инклузија во образовниот систем | Физичко присуство | Индивидуална |
| **Индивидуализирање и прилагодување на** | Изработка на индивидуални образовни | Октомври | Специјален едукатор и рехабилитатор | Модели на ИОП<br><br>аналитички | Успешна реализација на наставната програм | Физичко присуство | Индивидуална |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **наставните содржини согласно способностите на учениците**<br>**Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето** | планови<br>(долгорочни, среднорочни, краткорочни) за работа со учениците со попреченост<br>Примена на диференциран пристап во работата | | Психолог<br>Наставници | листови<br>стручна литература | а со сите ученици<br>Повисоки постигања на учениците | | |
| **Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со попреченост** | Вежби за поттикнување на психомоторниот развој<br>Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференциран пристап | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор | ИОП<br>обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план<br>Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот | Физичко присуство | Индивидуална |
| **Поттикнува** | Разговори | Во тек | Специјален | Вклучен | Стабилн | Физичко присуст | Индивидуалн |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ње на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок.** | со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на индивидуални средби | на годината | едукатори рехабилитатор<br>Наставници<br>Родители | ост на родителите во воспитно-образовниот процес<br>Успешна инклузија на учениците со попреченост во редовниот воспитно-образовниот процес | и социјални компетенции и развиени социјални вештини<br>Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со попреченост<br>Развивени позитивни ставови кај учениците кон учениците со попреченост | во | а |
| **Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со** | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со попреченост согласно | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим | Индивидуални инструменти<br>алатки<br>тестови | Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при | Физичко присуство | Индивидуална<br>Групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **попреченост** | прилагодените индивидуални планови | | | | вреднување на постигањата на овие ученици | | |
| **Следење на индивидуалните постигања на учениците со попреченост после секој квалификационен период** | Ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови<br>Користење на инструменти за следење и вреднување | Ное мври | Училишен инклузивен тим | Индивидуални инструменти<br>алатки<br>тестови | Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП | Физичко присуство | Индивидуална |
| **Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот.** | Спроведување на интерни обуки за наставниците за работа со ученици со попреченост | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим | Материјали, планирања на наставниците<br>консултации<br>размена на искуства | Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со попреченост | | Индивидуална<br>Групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа** | | | | | | | |
| **Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето** | Следење на степенот на инклузираност на учениците со попреченост во наставно-образовниот процес<br><br>Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со попреченост<br><br>Опсервација и разговор со наставници, родители и ученици | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим<br><br>Наставници<br><br>Родители | Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса<br><br>Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со попреченост | Развиена свест за потребите на учениците со попреченост, позитивна атмосфера и толеранција<br><br>Подобрување на социјализацијата на учениците со попреченост<br><br>Ученичка/врсничка поддршка за учениците со попреченост | Физичко присуство<br><br>Онлајн | Индивидуална<br><br>Групна |

**Училишен инклузивен тим**

## Извештај за работата на педагогот

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

**1. Работа со ученици**

**-**Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Одржување работилници на тема на врсничко насилство и булинг, ментално здравје техники за учење подршка на учениците.

**-**Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

**2. Работа со наставници**

-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес

-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник-родител

-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања.

-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење

-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови

-Присуство на нагледни часови

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници

-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација

-Дисеминација на обуки со наставничкиот кадар за ментално здравје

-Стручна помош при изготвување на програми за воннаставни активности и учество во организација и реализација на дел од воннаставните активности

**3. Работа со родители**

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби

-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми

**4. Соработка со заедницата**

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)

-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**

-Изготвување личен план за професионален развој

-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје “Гласот на педагогот”

-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература

-Учество на онлај работилници;

-Учество на обуки и семинари

-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;

-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците

-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на учебната година.

-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава

- Изготвување на полугодишен / годишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“

-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар

-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности
-Следење на постапките на оценување на учениците
-Следење на успехот и редовноста на учениците
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

**8.Сопствена евиденција и документација**

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини
-Водење хронолошки дневник за работа
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница
-Водење педагошки картон за работата на наставниците
-Водење професионално досие на наставниците
-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

**Педагог:**
**Марина Миткова**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА- МЕДИЈАТЕКА ПРИ ООУ „Наум Охридски „ - СКОПЈЕ**
**УЧЕБНА 2022/2023**

Во текот на учебната 2022/2023год. беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварените поставените цели:

- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;

- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексикониии и друг информативен материјал;

- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;

- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;

- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;

- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;

- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

| Време на реализација | Реализирани задачи и активности |
|---|---|
| **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ** | 1. Уредување на библиотеката. Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година. |

| | |
|---|---|
| | 2. Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН-потпечатување и делење на новодобиените учебници<br>3. Формирање на нова библиотекарска секција со ученици од 6 и 7 одделение.<br>4. Активности со учениците од библиотекарската секција<br>5. Уредување на инвентарна книга и подготовка за Електронска библиотека |
| **ОКТОМВРИ** | 1. Одбележување на празникот 11 Октомври<br>2. Одбележување на празникот 23 Октомври<br>3. Активности со учениците од библиотекарската секција.<br>4. Документација за акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>5. Инвентарна книга – библиотечна дејност, уредување.<br>6. Уредување на библ.пано со ученички творби по повод месецот на книгата |
| **НОЕМВРИ** | 1. Одбележување на роденденот на нашата општина Гази Баба<br>2. Збогатување на книжниот фонд-нарачка на стручна литература (атласи,енциклопедии,глобус,хамери)од П.Дело |

| | |
|---|---|
| | 3. Посета на библиотеката од првачињата со нивните наставнички<br>4. Уредување и класификација на учебниците од акцијата на МОН – магацин.<br>5. Документација за библиотекарство и библиотечна дејност.<br>6. Активности со учениците од библиотекарската секција |
| **ДЕКЕМВРИ** | 1.Уредување на картотеката на членови во училишната библиотека.<br>2.Библиотекарска секција – часови по библиотекарство и креативни активности.<br>3. Посета на библиотеката од прво одделение со нивната наставничка<br>4. Одбележување на празникот Св.Климент Охридски<br>5. Изготвување на полугодишен извештај<br>6. Новогодишни активности со членовите од секцијата<br>7. Попис на библиотечниот фонд и отпис на оштетени и нецелосни книги. |

| | |
|---|---|
| **ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ** | 1.Посета на учениците.на училишн.библиотека-разговор за<br>задачите на библиотеката и библ.секција<br><br>2.Активности со учениците од библиотекарската секција |
| **МАРТ** | 1. Развоен план за библиотеката – приоритети, можности за надополнување на книжниот фонд<br>2. Одбележување на празникот 8 Март-избор на најубава песна за мајката<br>3. Одбележување на доаѓањето на пролетта со ученички литературни и ликовни творби<br>4. Уредување на магацинот со учебници и пресметки за тековните електронски апликации и нарачка на бесплатните учебници од МОН.<br>5. Библиотекарска секција – часови за библиотекарството и учење на стандардните класификации. |
| **АПРИЛ** | 1. Почеток на акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>2. Одбележување на светскиот ден на детската книга 2 Април-активности со првачињата<br>3. Донирање на лектирни изданија од ученици<br>4. Активности со ученици од 4 одд.<br>5. Награден литературен конкурс<br>6. Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во<br>училишната библиотека.<br>7.Активности со учениците од библиотекарската секција |

| | |
|---|---|
| **МАЈ** | 1. Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН.<br>2.Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека.<br>3.Активности со учениците од библиотекарската секција<br>4.ИКТ- во класификацијата на книжниот фонд, стручна обработка и електронско внесување на книгите од училишната програма според стандардизирани правилници за библиотеки |
| **ЈУНИ-ЈУЛИ** | 1. Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање, комисија за учебници, отпис на оштетени и плаќање на изгубените учебници.<br>2. Раздолжување на книгите од страна на членовите на училишната библиотека.<br>3. Доделување на дипломи и книги за најзаслужните ученици од училиштето<br>4. Класификација на документација за библиотеки и библиотечно работење.<br>5. Уредување на библиотеката, чистење и заштита на книгите. |

Библиотеката е подредена по азбучен ред,лектири по одд,странски и домашни автори,проза и поезија,белетристика и стручна литература.

Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно.Членовите учествуваа на конкурси,натпревари,организираа литературни читања,посетуваа саеми и др.библиотеки и помагаа околу грижата за книжниот фонд во библиотеката.

Библиотеката работеше според дадена годишна програма одобрена и заверена од директорот на училиштето.

**Библиотекар: Златка Панчевска**

## Преглед на работата на директорот

Со својата работа директорот на училиштето настојува за што поквалитетна организација и реализација на сите подрачја во сите воспитно образовни работа во училиштето. Работата на директорот се одвива низ различни подрачја во работата и функционирањето на училиштето. Работата на директорот е заснована врз следниве принципи: научност, интегралност, реалност, современост, селективност, рационализација, конкретизација и развојност.

Содржинските подрачја за работа на директорот се поделени во следниве подрачја:

1. Административно-организациско подрачје
2. Педагошко-инструктивно подрачје
3. Раководење со училиштето
4. Соработка со средината

За реализација на планираните активности со годишната програма за работа на директорот се води уредна педагошка евиденција и документација.

**1.Подрачје: Административно-организациски задачи**

- Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;
- Изработка на задолженија и формирање на комисии;
- Организација и учество во изработка на нормативни акти;
- Организација на попис на имотот, изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;
- Организирање, реконструкција и адаптација на училишниот простор;
- Набавка на основни средства;
- Донесување мерки за доведување иновации во целокупната работа на училиштето;
- Исто така во ПООУ Црешево е отворена сензорна соба со нагледни средства според потребата на наставата и учениците со посебни образовни потреби.
-тековно одржување на ИКТ опремата;
- Осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени;
- Следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето;
- Други прашања од организациска проблематика и маријално-финансиски активности.

Со почетокот на учебната година од страна на директорот беше изготвен оперативен наставен план во согласност со позитивните законски прописи. Врз основа на тој план наставниците добија задолженија по предмети и паралелки и ја реализираа воспитно-образовната дејност. Во текот на учебната година се наметна и потреба од формирање на комисии за разни активности: комисија за

спроведување на попис , комисија за јавни набавки, комисија за преглед на педагошка евиденција и документација.
За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата. Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во согласност за ПООУ с. Црешево, набавени се нагледни средства за потребите на наставата. Во училиштето во с. Булачани направени се бетонски трибини и заштитна метална ограда кон спортско игралиште во училиштето во с. Булачани за потребите на учениците. Во училишните објекти во с.Булачани и во с.Црешево реновирани се подовите во три училници во училиштето во с. Булачани и 2 училници во училиштето во с. Црешево. Набавени се нагледни средства за потребите на наставата и опремена е Сензорна соба во ПООУ Црешево за потребите на учениците со посебни образовни потреби. Во училиштето во с. Булачани поставени се монтажни трибини за потребите на училиштето. Отпочната е градба на училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани. Добиена е донација од МОН зна нагледни средства за потребите на наставата по историја, географија и природни науки. Добиена е донација од 100 лектирни изданија од АРС Ламина со што се збогати училишната библиотека. Сите овие обновувања и набавки придонесоа за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во современи и оплеменети услови за работа во училиштата.

Оваа учебна година во училиштето беше извршена интегрална евалуација од ДПИ во периодот од 25 до 27 Април и беше оценето со мн. добар.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

**2.Педагошко-инструктивно подрачје**

- Изработка на Годишна програма за работа на училиштето,
- Изработка на Програма за работа на директорот,
- Изработка на Годишна програма за работа на наставничкиот совет,
- Изработка на Годишна програма за работа на одделенскиот совет,
- Планирање и програмирање на увидите на редовната, дополнителната, додатната и изборната настава,
- Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови,
- Изработка на календар за работа на училиштето,
- Изготвување на проекти за санирање на приоритетни проблеми,
- Изготвување на План за професионален развој на наставниците,
- Учество во изработка на Програма за екскурзии,
- Планирање и следење на реализација на самоевалуацијата на училиштето,
| Примерно со опомена | | | | | | | | **1** | | **1** |
| Примерно со укор | | | | | | | | | | |
| Прем. во др. одд | | | | | | | | | | |
| Добро поведение | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | **511** |

## 3. Учење и настава

### 3. 1 Наставни форми и методи

Наставниот кадар посетува семинари/обуки организирани од МОН и БРО на РСМ. Во планирањата и од увидите на реализација на часовите забележливо е: дефинирање на целите и очекуваните исходи; најголем дел од наставниците планираат активни методи, форми и техники на настава, планирање на примена на ИКТ; планирање на постапки/инструменти за следење и вреднување на постигнувањата на учениците; примена на стандардите и критериумите за оценување по наставни предмети- подрачја, теми и одделенија; рефлексија за ефектите од одржаните часови- теми. Унапредувањето на планирањата се должи на веќе посетени екстерни семинари насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно- образовната работа, како и обуки за наставниците кои ги организираа и реализираа стручната служба.

### 3.2 Професионален развој на наставниот кадар

Стручното усовршување како дел од професионалниот развој на наставниот кадар покрај законската обврска е стратешка определба на училиштето. За целисходно стручното усовршување на наставниот кадар формиран е Училишен тим за професионален развој.

Обуките во кои партиципира училиштето се врз основа на Развојниот план на училиштето, Програмата за професионален развој на училиштето, а врз основа на самоевалуација и искажаните потреби за професионален развој во личните планови на секој наставник. Резултатите од воспитно- образовната практика индицираат дека следната учебна година се потребни обуки за наставниот кадар за:

- Унапредување на постигањата на учениците од ромските семејства.
- Изготвување на самоевалуација и развојно планирање на училишно ниво
- Работа со деца во ризик во семејството

За наставниците и нивниот професионален развој се водат:

- План и извештај за личен професионален развој
- Наставнички портфолија
- Професионални досиеа

### 3.3 Наставен процес

Во реализацијата на воспитно- образовниот процес сите ученици се подеднакво третирани без оглед на полот, етничката или верската припадност. Училиштето води грижа за ученици со посебни потреби и деца каде постојат семејни проблеми. Диференцијацијата на учениците се прави врз основа на нивните конкретни потреби. Со практикувањето на активната настава и групна работа, се овозможува подобра социјализација и емоционален развој на ученикот.

Наставниците користат ИКТ во наставата во согласност со целите и очекуваните исходи на часот. Наставниците, како дел од својата практика, развиваат инструменти за оценување. Оценувањето најчесто е јавно, при што се користат повеќе разновидни инструменти- скали на проценка, тестови со бодовна листа, есејски и проектни работи, чек-листи, самооценување, усна презентација, усна и писмена повратна информација, како методи за подобрување на постигањата на учениците.

### 3.4 Искуство на учениците од учењето

Училиштето ги стимулира учениците за постигнување на повисоки резултати, негување на етничките, јазичните и културните обележја, преку презентација на нивните трудови, на паноа во училниците и холовите на училиштето, како и фб страната на училиштето. Во тек на оваа учебна година организирани се активности во рамки на проектите „Меѓуетничка интеграција во образованието“ и „Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“. При реализацијата на проектите кај многу активности двата проекти се интегрирани, со што квалитетот на реализираните активности е подигнат на повисоко ниво.

#### 3.4.1 Извештај на Еко-одборот

Во текот на учебната 2022/2023 год. како и претходните учебни години, ООУ „Његош“ од Јурумлери, беше вклучено во проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Во првата половина на месец јуни 2022 год. беше формиран Еко-одбор, составен од: наставници, ученици, родители, технички персонал, локална самоуправа и бизнис сектор. Еко-одборот во учебната 2022/2023 год. беше составен од 32 члена и беше направена мала промена на составот. На местото на учениците кои заминаа во средно училиште, беа избрани други ученици т.е. беа опфатени ученици од шесто до деветто одделение.
Во одборот има по еден претставник од медиумите, од бизнис секторот и од НВО, од вработените на училиштето во Еко-одборот се 11 наставници,12 ученици, 2 члена се од технички персонал, 3 члена се од Советот на родители, и еден претставник од локалната самоуправа. Учениците се избираа по предлог на наставниците на Наставнички совет, а и со самостојно пријавување од нивна страна. Иницијативите и одлуките ги даваат и донесуваат наставниците, учениците и сите останати членови на ниво на Еко- одборот.

## Извештаи од одржани активности

На ден 22.9.2022год.(четврток),нашето училиште заедно со учениците од I до IX одделение го одбележа" Европскиот ден без автомобили".Учениците беа креативни и изработија презентација за ден без автомобили која ја презентираа пред другите ученици,изработија ѕиден постер кој го закачивме во холот на училиштето и напишаа песнички во врска со темата.Со учениците излеговме во околината на училиштето,и поставивме флаери на автомобилите,за одбележување на денот на "Европскиот ден без автомобили" и истото го документиравме со фотографирање.

На ден 15.10.2022(сабота),"Меѓународен ден на пешачењето,"заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме овој ден.Учениците од Еко-патролата подготвија визуелна презентација за значењето и важноста на пешачењето,при што истата ја испрезентираа пред останатите ученици од 1-9-то одделение.Исто така нашите ученици дискутираа и дебатираа на оваа тема,односно за важноста и придобивките од пешачењето.Сите ученици се вклучуваа во дисусијата и донесоа заклучок дека пешачењето е многу важно за нашиот организам и воопшто за нашето здравје.Учениците од Еко-патролата изработија и флаери за важноста на пешачењето и ги поделија на учениците во нашето училиште и на жителите од околината во близина на училиштето.Еко-катчето беше уредено со слики и пароли повразани со овој ден и им беше прикажано на учениците и наставниците од училиштето.

**Забелешка:** Бидејќи одбележувањето на овој ден беше предвиден на 15.10.2022год а истиот е сабота,ние го одржавме на 14.10.2022(петок)год.

На ден 16.10.2022 (недела), заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме ”Светски ден на храната”. Учениците од Еко-патролата подготвија презентација за значењето на храната за нашето здравје и за да опстанеме и преживееме. Учениците дебатираа на оваа тема, дискутираа и доаѓаа до важни заклучоци.Исто така учениците изработија и флаери при што истите беа поделени помеѓу учениците од училиштето. Нашето училиште исто така организираше хуманитарна акција во која учествуваа сите ученици од 1-9-то одделение и наставниците. Хуманитарната акција се состоеше во собирање на храна за лица од социјално ранливи категории. Се собираше секаков вид на храна која беше уредно спакувана и им се додели на истите лица.

**Забелешка:** Бидејќи 16.10.2022 год. беше недела, неработен ден, акцијата се одржа на 17.10.2022год.(понеделник).

На ден 03.11.2022(четврток),нашето училиште го одбележа”Светски ден на чистиот воздух”.Учениците од Еко-патролата учествуваа со следниве активности поврзани со оваа тема.Истите ученици изработија презентација за дадената тема која подоцна ја презентираа пред учениците и наставниците од нашето училиште.После презентацијата следуваше дебата на тема: “Чист воздух” и презентација на песна со наслов Чист воздух.Во холот учениците од Еко-патролата го уредија Еко-катчето со пароли и цртежи поврзани со дадената тема.Истиот ден учениците од Еко-патролата поделија флаери на жителите во населеното место на нашето училиште.

На ден 06.03.2023год (понеделник),”**Светски ден за заштеда на енергија**”,заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме овој ден.Учениците од Еко-патролата подготвија визуелна презентација за обновливи и необновливи извори на енергија, заштеда на енергија и важноста на енергијата. Оваа презентација беше презентирана пред другите ученици од 5 до 9одд. Додека во нижите одделенија од 1 до 4одд,беше спроведена дискусија за тоа како да штедиме енергија и важноста на истата. Исто така учениците подготвија флаери за заштеда на енергијата кои ги поделија на учениците од нашето училиште,изработија пароли и слики со кои го уредија еко-катчето. Исто така учениците напишаа песничка поврзана со темата ”Енергијата вреди да се штеди”, која ја прочитаа пред учениците од 1 до 4одд. Сите ученици и наставници беа информирани за важноста на енергијата и дека неможе да се замисли светот без енергија.
**Забелешка:** Бидејќи одбележувањето на овој ден беше предвиден на 05.03.2023 год, а истиот е недела,ние го одржавме на 06.03.2023(понеделник).




На 21.03.2023 (вторник)**,"Ден на пролетта."**Заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме Денот на екологијата и доаѓањето на пролетта. Овој ден во нашето училиште беше одбележан со најразлични активности. Учениците од 4 одд изработија постери за екологија, споделија многубројни еко пораки, додека пред учениците од 1 до 3одд им беше одржана презнтација за Екологијата како наука и грижата за животната средина. Додека учениците од 5 до 9одд, се погрижија за раззубавување и за раззеленување на нашиот училишен двор, со засадување на зимзелени дрвца и хортикултурно уредување(засадување на разни цвеќиња). Зимзелените дрвца беа обезбедени благодарение на Општина Гази Баба.Неколку наши ученици се приклучија и на активностите организирани од општина Гази Баба и Општинскиот сојуз за училишен спорт,односно засадување на дрвца и прошетка во парк шумата Гази Баба под мотото"Пешачиме за мир ,соживот и толеранција"со која се промовира другарството кое не познава граници и здравиот начин на живеење.Со овие активности ја покажавме нашата грижа за животната средина која секојдневно треба да се практикува за поквалитетен живот за сите!!!

На 22.03.2023год (среда),”**Светски ден на водите”** се одбележа и во нашето училиште. Учениците од Еко-патролата изработија визуелна презентација за значењето на водата и нејзината важност. Презентацијата ја презентираа пред другите ученици и дискутираа за тоа дека без вода нема живот. Исто така учениците од 1 до 4одд изработија пароли за важноста на водата, како да се штеди вода и слики кои ги поставија во холот на училиштето и еко-катчето.Учениците од 5 до 9одд изработија ѕиден постер за штедење на вода и нејзиното значење за живиот свет и флаери кои ги поделија на учениците и наставниците од нашето училиште. На крајот учениците од 9 одд прочитаа песничка за водата пред учениците од 1 до 3одд.

На 01.04.2023год (Сабота), ”**Априлијада- Денот на шегата”** се одбележа и во нашето училиште. Учениците од Еко-патролата изработија маски од еко-материјали, по повод Денот на шегата и истите беа истакнати на паното во холот на училиштето. Исто така учениците од 1-5одделение беа маскирани во најразлични креативно изработени маски и продефилираа во училишниот двор. На крајот беа избрани најдобрите маски и истите беа наградени.
**Забелешка:** Бидејќи 01.04.2023 год беше сабота, овој ден го одбележавме на 31.03.2023 (петок).

На 07.04.2023год (среда), ”**Светски ден на здравјето”** се одбележа и во нашето училиште. Учениците од Еко-патролата изработија визуелна презентација за здравјето и како треба да се грижиме за него, истата ја презентираа пред учениците од 1-9 одделение. Учениците од 6- 9 одделение водеа дискусија во нижите одделенија за важноста на здравјето и дека секој треба индивидуално да се грижи за сопственото здравје. Членовите на Еко-патролата подготвија еко- катче кое содржеше информации и интересни факти за здравјето. Исто така учениците подготвија флаери со содржина за хигиена и грижа за здравјето кои ги поделија на учениците и наставниците во нашето училиште. Учениците од 14одд подготвија ѕиден постер за здравјето и хигиената, а истиот постер беше истакнат во холот на училиштето. Исто така учениците од 1- 9одд твореа односно напишаа песнички на тема поврзана со здравје. Сите ученици активно учествуваа во подготовките за одбележување на Светскиот ден на здравјето и се стекнаа со дополнителни знаења за тоа како треба да се грижат и како да го негуваат своето здравје. Сите ученици дојдоа до заклучок дека здравјето е најважно од се.

На 22.04.2023год (сабота),”**Светски ден на планетата Земја”** се одбележа и во нашето училиште. Сите ученици од 1- 9одделение, земаа активно учество во одбележувањето на овој ден. Учениците од 1- 5одделение продефилираа во училишниот двор со најразлични изработки, слики, постери, песнички и драмски изведби поврзани со темата. Додека учениците од 6-9 одделение водеа дебата, за тоа како треба да се грижиме и како треба да ја заштитиме нашата единствена планета Земја .Дискутираа дека планетата Земја е наш дом, дека друг дом немаме, немаме резервна планета. Исто така учениците од вишите одделенија изработија и визуелна презентација за грижата на планетата Земја, која ја испрезентираа пред сите ученици од 1-9 одделение. Исто така беше уредено и Еко-катчето со пароли со ова тематика. Учениците изработија и флаери поврзани со оваа тема и ги поделија на учениците и жителите во локалното живеалиште. Учениците од драмската секција твореа песни поврзани со оваа тема. Сите ученици од нашето училиште на крај испратија силна порака!

Ги молиме сите на оваа планета Земја, да ја чуваме и заштитуваме бидејќи таа ни е единствена и немаме друга резервна планета. Да ги чуваме благодетите кои ни ги дава, зашто ако ја нема,ќе не нема и нас.

**Сакајте ја, чувајте ја, грижете се за неа бидејќи немаме резервна планета!**

**Забелешка :**Бидејќи 22.04.2023год беше сабота, ние овој ден го одбележавме на 24.04.2023год. (Понеделник).

На 31.05.2023год (Среда),”**Светски ден на борба против пушењето”** се одбележа и во нашето училиште. Сите ученици од 1-9одд, земаа активно учество во одбележувањето на овој ден. Учениците од 1-5одд изработија ѕиден постер, макети од цигари и разни пароли поврзани со темата. Додека учениците од 6-9одд водеа дебата, за тоа како треба да се грижиме за сопственото здравје, за штетноста на цигарите и зошто не треба да пушиме цигари. Дискутираа за болестите кои можат да се добијат како резултат на пушењето. Исто така учениците од вишите одделенија изработија и визуелна презентација за тоа колку се штетни цигарите и болестите кои може да се добијат, која ја испрезентираа пред сите ученици од 1-9одд. Учениците изработија и флаери за штетноста на цигарите и информации за тоа што содржи една цигара, а истите флаери им ги поделија на учениците од 1-9одд. Исто така беше уредено и Еко-катчето со пароли со ова

тематика. Учениците исто така кажаа гласно дека треба да се спортува, да се има физичка активност, да имаме кондиција, а да кажеме **НЕ** за цигарите-порок на 21 век. Сите ученици од нашето училиште на крај испратија силна порака: **Во здраво тело здрав дух!**




На 05.06.2023год (Понеделник),”**Светски ден на заштита на животната средина”** се одбележа и во нашето училиште. Сите ученици од 1-9 одд, земаа активно учество во одбележувањето на овој ден. Учениците од 1-5одд изработија sиден постер и разни пароли поврзани со темата. Додека учениците од 6-9 одд водеа дебата, за тоа како треба да се грижиме за животната средина, односно дека секој поединец е одговорен за тоа. Учениците изработија визуелна презентација која ја презентираа во нижите одделенија и флаери кои им ги поделија на учениците од нашето училиште и на жителите од локалното живеалиште. Учениците- членови на Еко патролата излегоа во училишниот двор, го собраа отпадот и беа пример и покажаа како треба секој поединец да се грижи за животната средина.


5 ЈУНИ МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Секоја година на 5 Јуни се одбележува Светскиот ден за заштита на животната средина. По повод овој ден, ширум светот, се организираат еколошки акции, активности и кампањи за подигање на еколошката култура.
Како дел од планетата Земја, каде секој од нас има право на здрава и чиста животна средина, потребно е да направиме нешто, што ќе допринесе за унапредување на еколошката свест на локално, национално и глобално ниво.

### 3.4.2 Преглед на реализирани МИО активности

Во продолжение се претставени реализираните МИО активности во ООУ„Његош“- Јурумлери во периодот 01.09.2022-14.06.2023 год.

**ИЗВЕШТАЈ за реализирани МИО активности**

Активност која беше реализирана во рамките на училиштето беше изработка на Мартинки и пано за изложба во Општина Гази Баба на која учествуваа сите основни училишта од Општината.

Активностите кои беа планирани во соработка со останатите основни училишта од Општина Гази Баба не се реализираа.

**Извештај од реализирана активност, одбележување на 8 ми Март –„Денот на жената“**

На 07.03.2023 год. во рамките на **МИО** проектот, ООУ,,Његош“- Јурумлери, партнер училиште со ООУ,,Наум Охридски“ Булачани ,се реализираше краткотрајна воннаставна активност –онлајн работилница за изработка на тројазични честитки по повод 8 ми Март-Ден на жените.

На истата учевствуваа ученици од 1-а, 1-б, 3-алб одделение со одделенските наставници од ООУ,,Његош,, и ученици од 4 одделение со оделенските наставници од ООУ,,Наум Охридски,, -Учениците заедно со своите одделенски наставници и со своите соученици во просториите на своите училници ја реализираа активноста за одбележување на Денот на жената.Целата активност протече во весела и пријатна атмосфера со видно задоволство кај учесниците.

Јурумлери,
07.03.2023

Одделенски наставници- ООУ,,Његош“:Тијана Величковска Тодоровска, Тања Стојкоска Јовеска, Флора Јусуфи

Одделенски наставници- ООУ,,Наум Охридски“:Билјана Белогаска, Снежана Ангеловска, Весна Јованова, Елена Максимовска

**Меѓуодделенски натпревари**

На ден 15.03.2023 год. одделенските раководители на IIа, IIб одд и II алб. Убавка Наумовска, Маја Јовевска, Мевлиде Фејзулахуи и наставникот по физичко и здравствено образование Александар Илиевски се договорија заеднички да реализираат активности од проектот ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“ преку меѓуодделенски натпревари со наставна содржина од наставниот предмет Физичко и здравствено образование образование.

На ден 23.12.2022 год. одделенските раководители на IIа, IIб одд и II алб. Убавка Наумовска, Маја Јовевска, Мевлиде Фејзулаху се договорија заеднички да реализираат активности од проектот ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“ преку изработка на новогодишни честитки со наставна содржина од наставниот предмет Ликовно образование.

На ден 21.12.2022 год. одделенските раководители на IIIа, IIIб одд и III алб. Славица Николовска, Виолета Симоновска и Флора Јусуфи се договорија заеднички да реализираат активности од проектот ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“ преку изработка на новогодишни честитки со наставна содржина од наставниот предмет Ликовно образование.

СРЕЌНА НОВА 2023 ГОД.
URIME VITI I RI 2023

На ден 31.03.2023 год. одделенските раководители на IIIа, IIIб одд и III алб. Славица Николовска, Виолета Симоновска, Флора Јусуфи и наставникот по физичко и здравствено образование Александар Илиевски се договорија заеднички да реализираат активности од проектот ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“ преку меѓуодделенски натпревари со наставна содржина од наставниот предмет Физичко и здравствено образование образование.

Одделенските раководители и учениците од Iа, Iб одд и I алб. се договорија заеднички да реализираат активности од проектот ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“ преку меѓуодделенски натпревари со наставна содржина од наставниот предмет Физичко и здравствено образование образование, ликовно образование и општество

**Извештај од реализирана активност, одбележување на Велигден**

На 13.04.2023 год. во рамките на **МИО** проектот, ООУ,,Његош“-Јурумлери и партнерското училиште ООУ,,Наум Охридски“ - Булачани , се реализираше краткотрајна воннаставна активност – онлајн работилница - изработка на велигденски јајца по повод празникот Велигден.

На истата учествуваа ученици од III-б, 3-алб одделение со одделенските наставници од ООУ,,Његош“ и ученици од трето одделение со оделенските наставници од ООУ,,Наум Охридски“ – По предавањето на наставникот Петар за значењето на велигденското, црвено, јајце учениците заедно со своите одделенски наставници и соученици во просториите на своите училници ја реализираа активноста за одбележување на верскиот празник Велигден. Целата активност протече во весела и пријатна атмосфера со видно задоволство кај учесниците.

Јурумлери,
13.04.2023

Одделенски наставници- ООУ,,Његош“- Јурумлери: Славица Николовска, Флора Јусуфи, Петар Ристовски

Одделенски наставници - ООУ,,Наум Охридски“: Елена Максимовска, Билјана Антанасова, Весна Јованова

**Извештај од реализирана активност, одбележување на Рамзан Бајрам**

На 20.04.2023 год. во рамките на **МИО** проектот, ООУ,,Његош“-Јурумлери и партнерското училиште ООУ,,Наум Охридски“ - Булачани , се реализираше краткотрајна воннаставна активност – онлајн работилница - изработка на подароци по повод празникот Рамзан Бајрам.

На истата учествуваа ученици од V одделение со одделенските наставници од ООУ,,Његош“ и ученици од V- одделение од ООУ,,Наум Охридски“ – Булачани.

По предавањето на наставникот Петар Ристовски за празнувањето на празникот Рамазан Бајрам, учениците заедно со своите одделенски наставници и соученици во просториите на своите училници ја реализираа активноста за одбележување на верскиот празник.

Целата активност протече во весела и пријатна атмосфера со видно задоволство кај учесниците.

Јурумлери,
20.04.2023

**3.4.3 Антикорупциска**

Во рамките на Антикорупциската едукација на учениците во нашето училиште се спроведе анкетен прашалник за учениците од V до IX одделение, со кој се утврдени предзнаењата на учениците за корупцијата како негативна појава во општеството.

За запознавање на учениците со терминот корупција и антикорупција и начините за заштита и борба против корупцијата беше изработена презентација на информации од страна на стручно лице. Одржана е работилница ,,Стоп за корупцијата,, со цел подигање на свеста.

Изработени се ликовни и литературни творби,изработено е пано на кое се преставени творбите изработени од учениците од 8 и 9 одделение.



### 3.5 Задоволување на потребите на учениците

Училиштето во рамки на своите можности ги идентификува индивидуалните образовни потреби на ученикот преку:

- Следење на постигнувањата на учениците, со повратна информација за напредокот;
- Усмерување на ученикот кон слободни активности за кои има способности;
- Индивидуална работа со надарени ученици;
- Учество на ученици на екстерни конкурси, натпревари;
- Прилагодување на наставата кон учениците со посебни развојни потреби;
- Реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал**;**
- Советодавно- консултатива работа со учениците и нивните родители за надминување на развојни, емоционални нарушувања на однесувањето;
- Советување на родители на ученици кои имаат голем број на изостаноци, намален успех или несоодветно однесување
- Развој на креативно- критичко мислење
- Соработка со институции, Центри за социјална работа, Завод за ментално здравје и др;

### 3.6. Реализација на други видови настава

Во тек на учебната година, согласно Законот за основно образование и наставните планови и програми реализирани се: воннаставни активности, додатна настава и дополнителна настава. Реализацијата на овие видови настава е остварена врз основа на потребите и интересите на учениците, а согласно законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето.

### 3.6.1 Учество на натпревари

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија.

Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини. Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици. Одговорните наставници ги спроведуваат училишните натпревари, за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Учениците кои покажаа најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво го претставуваа училиштето на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои беа менторирани од страна на наставниците.

Учениците учествуваа на натпревари според планот за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари кои се реализираа со физичко присуство или онлајн. Постигнатите резултати на учениците кои го промовираа училиштето, беа редовно истакнувани пред учениците и на facebook страната на нашето училиште.

Во текот на учебната 2022/2023 год., учениците од ООУ „Његош“- Јурумлери зедоа учество на натпревари:

- **Општински натпревар по Прва помош - освоено 11то место**
  - ✓ Петар Јовановски VIа,
  - ✓ Анѓела Ивановска VIIа,
  - ✓ Милена ИвановскаVIIIб,
  - ✓ Нина Додевска VIIIб,
  - ✓ Јована Серафимовска VIIа,
  - ✓ Теодора Димковска VIIIб

- **Математика**

  **Општински натпревар по математика, одржан 04.02.2023, учествуваа:**
  - ✓ Христијан Антевски VI б (учество),
  - ✓ Лука Мишоков VI б (учество),
  - ✓ Милена Ивановска VIII б (II награда),
  - ✓ Матеа Трајковска VIII а (учество),
  - ✓ Ива Игнатова IX б (учество),
  - ✓ Симеон Крстевски IX а (учество).
  - ✓ Вања Кузмановска VII б (учество),
  - ✓ Михаела Величковска VII б (учество),

  **Регионален натпревар одржан 04.03.2023 учествуваше**
  - ✓ Милена Ивановска VIII б (учество).
  - ✓ Вања Кузмановска VII б (учество),

- **Ликовно образование**
  - ✓ Ликовна секција -Општински традиционален Ликовен конкурс-,,Промоција на хумани вредности,, -Симона Вукадиновска -8/б одд. – учество

- ✓ Ликовна секција - Републички традиционален ликовен конкурс на НЛБ Банка – цртежи:
  1. Ангела Ивановска-7/а,
  2.Никола Стевкоски -7/б,
  3.ВањаКузмановска-7/б,
  4.Ана Велковска-7/б,
  5.Михаела Величковска-7/б,
  6.Андреа Величковска-9/б,
  7.Ива Игнатова-9/б
  –учениците учествуваа со цртежи

- ✓ **Републички традиционален ликовен конкурс на НЛБ Банка-макети**:
  1.Ангела Ивановска-7/а,
  2.Јана Грујоска-9/б,
  3.Максим Ванев-9/б,
  4.Михаил Симоновски-9/б,
  5.Никола Стевкоски-7/б
  – учениците учествуваа со макети групно и индивидуално

- ✓ **Републички традиционален ликовен конкурс на Народна Банка-цртежи:**
  1.Ангела Ивановска-7/а,
  2.Ива игнатова-9/б
  -учениците учествуваа со цртежи

- ✓ Ликовна секција: учество на Образовно училишна програма Sвон -Македонска телевизија-изработка на новогодишни честитки и украси од различен материјал, изложба на изработени цртежи-
  1.Мелани Митковска-9/а,
  2.АнаМарија Дунчевиќ-9/а,
  3.Ива Игнатова-9/б,
  4.Јана Грујоска-9/б,
  5.Вања Кузмановска-7/б,
  6.Тијана Ангеловска-7/б,
  7.Ана Велковска-7/б,

- ✓ Ликовна секција-**Општински Ликовен конкурс-Противпожарен сојуз на град Скопје- Гази Баба-,,Заштита од пожари,,- учество**:
  1.Максим Ванев -9/б,
  2.Анреа Величковска-9/б,
  3.Михаела Величковска-7/б,
  4.Ана Велковска-7/б одд.

- ✓ Ликовна секција- Ликовен конкурс во организација на АЦВ и МОН на РСМакедонија-тема;100 години македонско воздухопловство-ликовна творба -минатото и иднината - учесник
  1.АНАСТАСИЈА ДЕНЧИЌ-IX/б одд.- (конкурсот е во тек)

- ✓ Ликовна секција -Учениците кои учествуваа на Републичкиот традиционален конкурс на НЛБ Банка и Народна Банка, имаа само учество, од ООУ,,Његош,, им е доделена ПОТВРДА за учество на

- **Републички традиционален ликовен конкурс на НЛБ Банка –цртежи**:

1. Ангела Ивановска-7/а-ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
2.Никола Стевкоски -7/Б-ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
3.ВањаКузмановска-7/б-ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
4.Ана Велковска-7/б-ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
5.Михаела Величковска-7/б-ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
6.Андреа Величковска-9/б-ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
7.Ива Игнатова-9/б –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
–учениците учествуваа со цртежи

- ✓ **Републички традиционален ликовен конкурс на НЛБ Банка-макети:**
  1.Ангела Ивановска-7/а –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  2.Јана Грујоска-9/б –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  3.Максим Ванев-9/б –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  4.Михаил Симоновски-9/б –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  5.Никола Стевкоски-7/б –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  – учениците учествуваа со макети групно и индивидуално

- ✓ **Републички традиционален ликовен конкурс на Народна Банка- цртежи:**
  1.Ангела Ивановска-7/а –ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  2.Ива игнатова-9/б- ПОТВРДА ЗА УЧЕСТВО
  -учениците учествуваа со цртежи

- **Англиски јазик**

  - ✓ Учество на акредитираните натпревари по англиски јазик во организација на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик и книжевност на РСМ, **ЕЛТАМ МК.**

    **Општински натпревар**
    - Калина Грујоска VIIб – не се пласираше.
    - Александар Пецевски VIIа – освоено III место.
    - Теодора Димковска VIIIб- трето место
    - Милена Илиевска VIIIа- трето место
    - Марко Стојчевски IXб- учество
    - Меланија ТрпескаIXа- учество
    - Ива Додевска VIб- учество
    - Христијан Антевски VIб- учество

    **Регионален натпревар –**
    - Александар Пецевски VIIа – освоено II место.
    - Теодора Димковска VIIIб- трето место
    - Милена Илиевска VIIIа- трето место

    **Државен натпревар**
    - Александар Пецевски VIIа – учество.
    - Теодора Димковска VIIIб- учество
    - Милена Илиевска VIIIа- учество

- **Физичко и здравствено образование**
  - ✓ Општински натпревар- кошарка- учество
    - Максим Ванев - IXб
    - Михаел Стојановски- IXб

- Васко Анѓеловски- IX а
- Петар Велковски - IXа
- Антони Цветковски- IXа
- Даријан Савевски- VIIб
- Марко Стојановски- IXа
- Симеон Крстевски -IX а
- Мартин Ѓорѓевиќ – Ixб

✓ Општински натпревар- одбојка- учество
- Јана Грујоска -IXб
- Ана Марија Дунчевиќ- IXа
- Мелани Митковска- IXа
- Сандра Илиевска -VIIб
- Анастасија Денчиќ -IXа
- Марија Ивановска -IXа
- Јана Јовановска- VIIа
- Меланија Велковска- IXа
- Ива Јовановски -VIIа

✓ Општински натпревар- фусбал- учество
- Арменд Асановски -VIIа
- Шабан Хасани -VIIIб
- Максим Дошев -VIIIа
- Даријан Савевски- VIIб
- Стефан Петровски- IXб
- Давор Јовановски -VIб
- Михаел Симоновски- IXб
- Марко Стојановски -IXа
- Симеон Крстевски -IXа
- Петар Крстевски -IXа
- Лука Русевски -IXа

✓ Општински натпревар- пинг понг 30.05.2023
- Сандра Илиевска –VIIб- прво место
- Никола Ѓурчевски –Ixб- прво место
- Давид Иванов –Ixб- второ место

✓ Општински натпревар- тенис 01.06.2023
- Петар Велковски -IXа

✓ Биатлон 07.06.2023- учество
- Јана Јовановска- VIIа
- Ива Јовановски -VIIа
- Лука Русевски - IXа

✓ Есенски крос
- Максим Ванев – IXб- трето место
- Сандра Илиевска –VIIб- прво место

✓ Турнир во ШАХ 01.06.2023- учество

- Давор Ванев 3б
- Дамјан Лазевски 4б
- Петар Танчевски 5а
- Јаков Богдановски 5а

✓ МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР под мотото “Играме од срце за Алек” 27.04.2023 - освоено 8мо место
- 3а одд: Перјана Селимовска , Марко Богдановски ,Благојче Ѓоргиевски,Срна Грујоска.
- 3б одд: Давор Ванев , Дамјан Јовевски, Нина Аврамовска, Лирие Рамој.

✓ 06.06.2023 спортска активност „Кошарката е моја игра“
- Микаела Насевски IVб
- Јована Јовевска IVб
- Јана Галамарева IVа
- Дамјан Лазевски IVа
- Мехмедин Бељуров IVб
- Елвир Аземи IVб
- Јосиф Ел Кадир Јовевски IVа
- Михаил Димковски IVа
- Давид Илиевски IVа

➢ **Француски јазик**

✓ **Регионален натпревар по француски јазик по спелување (ноември, 2022)**
- Сандра Илиевска VII б одделение – 1 место
- Ангела Илиевска VII а одделение – 2 место

✓ **Државен натпревар по француски јазик по спелување (декември, 2022)**
- Сандра Илиевска VII б одделение – учество
- Ангела Илиевска VII а одделение – учество

✓ **Регионален натпревар по француски јазик –Олимпијади (март, 2023)**
- Андреа Величковска IXб одделение – 2 место

✓ **Државен натпревар по француски јазик –Олимпијади (април, 2023)**
- Андреа Величковска IXб одделение – учество

✓ **Проект ЕКОФРАЛОЖИ (октомври- ноември, 2022)**

✓ **Благодарници за учество за учениците од IXб одделение**
- Ваневска Стефанија,
- Величковска Андреа,
- Велковска Меланија,
- Грујоска Јана,
- Денчиќ Анастасија,
- Димитриевски Марко,
- Игнатова Ива,
- Насевска Ана
- Стојчевски Марко,

✓ **Благодарница за училиштето**

✓ **Учество на Франкофонија 2023(март, 2023)**

- ✓ **Настап на ученици од VII б**
    - Ангел Арсов
    - Сандра Илиевска
    - Михаела Величковска
    - Вања Кузмановска
    - Иво Тодевски
    - Ана Велковска
    - Тијана Ангеловска

**IXб одделение**

- Јана Грујоска
- Ана Насевска
- Анастасија Денчиќ
- Ива Игнатова
- Меланија Велковска

### 3.7 Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот па се до третиот период. По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи). План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во дневниците. Во текот на наставно – воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата.

Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето. Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета на разни семинари, обуки за Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумеричкиспоред три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
- Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие и на полугодие

добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

- Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки.

Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

Во рамки на унапредувањето на оценувањето, стручните активи изработија:

Стандарди, критериуми и инструменти за следење и вреднување на постигнувањата на учениците

1. изработка и примена на критериуми за оценување по наставни предмети-подрачја, теми и одделенија
2. изработка на тестови со бодовна листа;
3. оценување на ученици со посебни потреби.

**Унапредување на подготовките за настава каде:**

1. се обрнува поголемо внимание на наставните цели;
2. се изработуваат поголем број на различни контролни ливчиња;
3. тимска работа.

### 3.8 Известување за напредокот на учениците

Успехот, изостаноците и поведението на учениците редовно се следат од одделенските раководители и стручната служба на училиштето. За постигнувањата на ученикот, промени во успехот или поведението постојано се даваат повратни информации.

- Усна или писмена повратна информација од наставникот за ученикот;
- Приемни денови за родителите (еднаш седмично за секој наставник)
- 6 родителски средби
- Месечни информации за одржување на други видови настава;
- Информативни паноа во училиштето;
- Информации пред Советот на родители;
- Информации пред Училишниот одбор;
- Писмени известувања за постигнувањата на учениците на квалификационите периоди;
- Свидетелства за завршено одделение;
- Дипломи, признанија, пофалници за учества на натпревари, смотри;
- Издавање на Брошура за училиштето;
- Информации за локалната самоуправа, МОН и БРО на РСМ.

**4. Поддршка на учениците**

Со цел учениците поадекватно да се привлечени со активности организирани од училиштето и да градат здрави навики, вредности, училиштето превзема повеќе континуирани дејствија сообразно со возраста на учениците.

Активностите ги реализира стручната служба континуирано во тек на целата учебна година.

- **Следење на адаптацијата на учениците во прво и шесто одделение;**

Реализирани се:

1.1 Советодавно- консултативни разговори со ученици кои имаат потешкотии во адаптацијата и нивните родители- педагог, психолог.

- **Педагошко- психолошка едукација на учениците и родителите;**

Реализирани се:

2.1 Советодавно-консултативни разговори со ученици и родители:

2.1.1 Советодавна работа со ученици кои се нередовни на настава;

2.1.2 Советодавна работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето

2.1.3 Советодавна работа со ученици кои покажуваат несоодветно однесување

2.1.4 Советодавна работа со ученици кои имаат развојни проблеми

2.1.5 Советодавна работа со ученици кои имаат емоционални проблеми

- **Стручни предавања:**

3.1 Стручни предавања за учениците:

3.1.1 Промени во пубертетот- шесто одделение во соработка со Црвен Крст на Општина Гази Баба;

3.1.2.Болести на зависности и ХИВ- СИДА- во осмо одделение. Особено внимание на болестите на зависности е обрнато во рамки на наставата по предметот „Унапредување на здравје“

3.2. Стручни предавања за родителите:

3.2.1 Новини во наставните планови и програми;

3.2.2 Партиципација на родителите во МИО активности на ООУ„Његош“-Јурумлери

3.2.3 Изборниот предмет во функција на развој на способностите на учениците;

3.2.4 Соодветен избор на занимање (во рамките на предметот Иновации)

3.3. Политики на училиштето:

3.3.1 Етнички мешани паралелки;

3.3.2 Заеднички екскурзии, излети, полуматурска вечер

3.3.3 Намалување на насилство меѓу учениците преку нивни предлози

3.3.4 Советување на ученици според искажаните потреби;

## 4.1 Советување на ученици и родители

Согласно измените и дополнувањата на Законот за основното образование (член 76), училишниот психолог реализираше советување на родители како што следи:

**Советување на родители**

| Вид на советувањето | Број на советувања | Причина за советување |
|---|---|---|
| Неоправдано отсуство | **39** | Неоправдано отсуство |
| Намален успех, по 2 и повеќе предмети или слаб успех по 3 и повеќе предмети | **49** | Намален успех, по 2 и повеќе предмети или слаб успех по 3 и повеќе предмети |
| Несоодветно асоцијално однесување | **0** | Несоодветно асоцијално однесување |
| **Вкупно советувања** | **88** | **Вкупно советувања** |

Советувањата на родители и ученици се реализираат со примена на современи средства и методи. Редовната реализација даде позитивни ефекти на намалување бројот на ученици со слаби оценки и подобрената вертикална проодност, како резултат на повеќегодишна континуирана работа. Поради преселба во странство со родителите на учениците кои се неоценети не се реализирани советувања, иако се уредно повикувани.

**Работилници со Ученичкиот Парламент**

Реализирани се:

- Формирање на Училишен Парламент и избор на претседателство
- Избор на ученички правобранител
- Изработена е Програма за работа на ниво на училиште
- Разгледување на програмата за екскурзии
- Разгледување на извештаи по квалификациони периоди
- Давање на мислење и предлози на учениците за подобрување на успехот и поведението
- Работилница по поведод Детска недела
- Работа на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“
- Работа на проектот "Меѓуетничка интеграција во образованието"
- Работилница по повод Светскиот ден на лицата со попреченост 3ти декември
- Полигон по повод Светскиот ден на лицата со попреченост 3ти декември, заедно со учениците со посебни образовни потреби
- Работилница по повод Светски ден на лицата со аутизам

### 4.2 Севкупна грижа за учениците

Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку:

- Содржини за часот на одделенскиот раководител (Согласно годишна програма за работа и програмата за образование за животни вештини);
- Систематски прегледи, ре/вакцинација (извршени се општи и стоматолошки преледи, ре/вакцинации според возраста на учениците, водена е евиденција и вршено е известување на учениците);

### 4.3 Советодавна помош на учениците

Стручните соработници соработуваат со одделенските раководители, Ученичкиот парламент и Советот на родители. Во тек на оваа учебна година реализирани се советодавно-консултативни активности за:

- Несоодветно однесување;
- Проблеми во адаптација;
- Чести изостаноци;
- Проблеми во учењето;
- Запишување на ученици во прво одделение
- Изрекување на педагошки мерки

### 4.4 Следење на напредокот

Напредокот на учениците редовно се евидентира. За успехот и поведението на ученците изработени се:

- Извештаи на квалификационите периоди, за кои се информирани Ученичкиот парламент, родителите, Советот на родители, Училишниот одбор, локалната самоуправа, МОН и БРО на РСМ**.**
- Направени се анализи на движењето на успехот по наставни предмети- подрачја, одделенија и споредбени анализи со минатите учебни години.
- Направени се анализи на движењето на успехот по полова структура и националност
- На ниво на стручни активи направени се согледувања за видот и квалитетот на инструментите кои се користат за следење и вреднување на постигањата на учениците.

## 5.Етос-училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима. Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и

родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Односите во училиштето се засновани на тимска соработка и почитување. Училиштето има кодекси на однесување и оценување, низа на правилници, процедури и упатства со кои се регулирани различни аспекти од делувањето на училиштето. Учеството на учениците во донесувањето на одлуки е присутно, во Еко-одборот, планирањето и реализацијата на МИО активности, при изработка на правилници, кодекси и слично. Преку Ученичкиот парламент учениците учествуваат во животот на училиштето, изнесуваат предлози и забелешки, кои помагаат во креирањето на политики.

### 5.2 Промовирање на постигнувањата на учениците

Личните постигнувања на учениците се промовираат согласно Правилникот за пофалби и награди преку:

- Истакнување на најдобри ученици- одделенија на квалификационите периоди
- Јавно истакнување на личните постигања на учениците на конкурси, натпревари на приредби, манифестации во училиштето
- Избор на Ученик на генерација
- Истакнување на квалитетни творби на учениците на паноа во холовите и училниците и на фб страната на училиштето.

### 5.3 Дисциплина

Дисциплината е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор); Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик- стручен соработник, а по потреба и советување со родители од страна на стручните соработници, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување

педагошки мерки. На секој квартал од учебната година се изрекуваат и се евиднтираат по потреба на учениците. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

### 5.4 Естетко и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

## 6. Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ „Његош“ се наоѓа во Јурумлери и врши опфат на деца од Гоце Делчев, Дунек, Јурумлери, Колонија, Идризово, с.Идризово, Дрма.

#### 6.1.1 Училишна зграда

Училишната зграда е од тврда градба и ги задоволува потребите за непречено изведување на воспитно- образовниот процес. Во продолжение следи преглед на просторот по намени:

**Училнички простор**

| Вид на просторот | Број | m2 |
|---|---|---|
| Училници за општа намена | 17 | 1196 |
| Кабинети | 6 | 425 |
| Простор за наставниците, админ. кадар, стр. служба и директор | 6 | 90 |
| Фискултурна сала | 1 | 388 |
| Простории за наставни помагала | 6 | 110 |
| Кујна | 1 | 25 |
| Библиотека | 1 | 36 |
| Ходници и скали | | 289 |
| Санитарни јазли | 4 | 150 |
| Магацин и котлара | | 150 |
| **Вкупно** | | 2859 |

Училиштето има доволно простор за реализирање на сите видови настава. Едносменското работење во предметна настава овозможува непречено реализирање на додатната, дополнителната настава и воннаставните активности.

Во тек на учебната 2022/2023 год., извршени се следните санации:

1. Санација и опремување на училница во одделенска настава

## *6.2* Нагледни средства и помагала

| Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|
| **Одделенска настава** | |
| | |
| Телевизор-2 | вага со тегови-5 |
| Куќиште | метро-2 |
| Монитор -9 | 3Д- форми |
| Маус-9<br>магнетни броеви-2 | |
| Звучници -9<br>Магнетни броеви-2 | |
| LCD-проектор-9<br>музички инструменти | |
| Мали лаптопи -38 и 38 мауси | хулахоп-2 |
| Принтер -9<br>интерактивни игри-2 | |
| ДВД-плеер-2 | смарт табла-1 |
| ЦД-плеер-1<br>држач за проектор | |
| Пластификатор -1 | бела табла за пишување-1 |
| Звучник голем-1 | дидактички игри по природни науки |
| Магнетни букви -2 | Лектири на албански јазик од I до V одд. |
| Магнетни броеви -2 | книги на албански јазик |
| Вага со тегови -1<br>јазик од I доV одд. | книги на албански јазик |
| дрвени ленијари -3 | |
| Пластични 3Д форми | |
| шестар-2 | |
| Музички инструменти-1 | |
| Хулахоп-2 | |
| Едукативни магнетни табли-1 | |
| Постери(со печатени букви,броеви,<br>домашни животни,овошје итн.) | |
| Табли за правње 2 Д фигури | |
| Сообраќај | |
| Пластична вага | |
| Метален шкаф за компјутери | |
| Либела | |
| **Дневен престој** | |
| Друштвени игри (монопол, не лути се човече, меморија) | Сложувалки до десетгодишна возраст |
| Сложувалки до 7 годишна возраст | друштвени игри, шах, домино, пикадо, |
| | фудбали,баскети |
| **Предметна настава** | |
| **Македонски јазик** | |
| Куќиште -1 | Смарт табла-1 |
| Монитор-1<br>Принтер-1 | |
| Тастатура-1 | |

| | |
|---|---|
| Телевизор-1 | |
| Маус-1 | Бела табла за пишување-1 |
| Звучници-1<br>Шкафови -2 | |
| | Речник на македонскиот литературен јазик (толковен)-1 |
| **Англиски јазик** | |
| смарт табла -1 | принтер-1 |
| куќиште -1 | бела табла за пишување-1 |
| Монитор-1 | флеш карти |
| Маус-1 | Едукативни игри на англиски јазик |
| Звучници-1 | пано од стиропор |
| Проектор-1 | хамери |
| Постери | Bluetooth- звучник |
| Шкаф | CD-плеер |
| **Француски јазик** | |
| Смарт табла -1 | |
| Куќиште-1 | |
| Монитор-1 | |
| Принтер-1 | |
| Звучници-1 | |
| Маус-1 | |
| **Географија** | |
| Смарт табла-1 | принтер-1 |
| Компјутер -1 | карта на свет |
| Карта на свет стара | глобус индукционен(црн) |
| Карта на Македонија | карта на Европа |
| Карта на Америка | компјутерско биро со фиоки |
| Карта на Австралија | лаптоп |
| **Математика** | |
| Компјутер -1 | лаптоп |
| интерактивна табла | принтер |
| дрвени ленијари | |
| шестари | |
| 3Д форми | |
| **Физика** | |
| Компјутер-1 | Смарт табла |
| магнет | принтер |
| термометар | батерии од 4,5 V |
| волтметар | мали светилки |
| мензур | |
| динамометар | |
| аглимер | |
| **Биологија** | |
| модели:око,уво,кожа,бубрег | смарт табла |
| микроскоп | компјутер |
| лупа | принтер |
| мозок | штипка за епрувети |
## 9.Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат исклучително важен дел од целината на воспитно-образовниот процес и придонесуваат ученикот да се развива во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.
За развивање на различни интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот.Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште, се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.
Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободно време, развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за подобар физички и интелектуален развој. Во рамките на воспитно -образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности.
При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја:
1. Личен и социјален развој;
2. Демократска култура, мултикултура и граѓанство;
3. Уметничко изразување и култура
4.Претприемништво и финансиска писменост.
Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците.Истите се инклузивни и недискриминативни, привлечни се за повеќето ученици, обезбедуваат активно учество на учениците, развиваат интеркултурни компетенции кај учениците и ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.

Родителите треба да бидат вклучени во формирањето на листата на воннаставни активности што ќе ги нуди училиштето, како и во изборот на оние што ќе ги реализира. Родителите имаат учество во изборот на конкретната воннаставна активност во која ќе учествува нивното дете.
Во реализацијата на воннаставните активности освен родителите може да бидат вклучени и други припадници на локалната заедница како на индивидуално ниво, така и на ниво на институција (како, на пример, градинка, дом за згрижување стари лица,

културен дом) или организација (како, на пример, невладина организација или друг вид здружение на граѓани).

Воннаставните активности според должината на времетраењето можат да бидат:
-краткотрајни воннаставни активности (излети и екскурзии; еднократни работилници и акции во училиштето или заедницата) и
-подолготрајни воннаставни активности (секции/клубови; проекти; гостувања на училиштето во рамки на проекти; кампови/школи; ученичко организирање во рамките на училиштето)
Воннаставните активности што се организираат во училиштето се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Сите ученици се насочуваат и поттикнуваат да учествуваат во нив. Воннаставните активности придонесуваат учениците да развијат верување дека нивните способности не се дадени еднаш засекогаш и дека можат да се развиваат со труд и работа врз себе.
Програма за воннаставни активности е дадена во прилог бр 20

## 9.1 Училишни спортски клубови

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура. Спортските активности, игрите, гимнастиката ги задоволуваат потребите за физичка активност кај учениците. Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови ( атлетика, карате, пинг-понг, шах).

Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје, општина Гази Баба и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.

Цели на училишниот спорт: правилен психофизички развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.
Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност,сила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем. Овие цели се постигнуваат преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос и др.

Евалуација на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоени награди.

**Училишниот спортски клуб “ Стив Наумов“** е основан на 29.09.2014 година. Одговорни наставници на училишниот спортски клуб се Дарко Димитријевиќ и Виолета Радулова. Клубот опфаќа повеќе видови на спортови како на пример: одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и спорт по избор. Може да се вклучат деца од сите возрасти. Начинот на финасирење е: самофинасирање (чланарина), спонзорство, донации, локална самоуправа.

| План на активности | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Носители на активности** | **Начин на спроведување-ресурси** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Временска рамка** | **Потребен буџет** |
| **Спортска игра-Кошарка (сите заинтересирани ученици)** | Наставници по ФЗО<br>Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) и ученици од предметна настава ( 6 до 9 одд) | Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година)<br>Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од кошаркарската игра | Наставници по ФЗО<br>Дарко Димитијевиќ<br>Виолета Радулова | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање<br>-Членарина од учесниците во спортските школи<br>-Спонзори и донатори<br>Самофинансирање од страна на родителите |
| **Спортска игра-Одбојка (сите заинтересирани ученици)** | Наставници по ФЗО<br>Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) | Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година<br>Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт ) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците овој спорт и совладување на основни техники од одбојкарската игра | Наставници по ФЗО<br>Дарко Димитијевиќ<br>Виолета Радулова | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање<br>-Членарина од учесниците во спортските школи<br>-Спонзори и донатори<br>-Самофинансирање од страна на родителите |
| **Спортска игра-Ракомет (сите заинтересирани ученици)** | Наставници по ФЗО<br>Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) и ученици од предметна настава ( 6 до 9 одд) | Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година)<br>Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт ) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од ракометната игра | Наставници по ФЗО<br>Дарко Димитијевиќ<br>Виолета Радулова | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање<br>-Членарина од учесниците во спортските школи<br>-Спонзори и донатори<br>-Самофинансирање од страна на родителите |

## 9.2 Секции/Клубови

**Секции и слободни ученички активности**

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

-Слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;

-Секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (пр. фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура);

-Секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање); и

-Културно-уметнички активности;

-Спортско-рекреативни секции

Во слободните активности за проширување/продлабочување на знаењата по одделни наставни предмети ќе работат следните секции: избор од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.

Во рамките на слободните културно-уметнички активности ќе работат секциите: литературна, драмска, рецитаторска, новинарска, ликовна, пеачка и дебатен клуб.

Во слободните спортски активности ќе работат спортските секции: ракомет, фудбал, одбојка, футсал, кошарка, пингпонг, шах.

Во училиштето се формираат секции за кои постојат услови и интерес кај учениците, а како резултат на тоа се организираат активности со натпреварувачки дух на ниво на: училиште, општина и регион.

Училиштето, преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале во следната учебна година. Врз основа на резултатите од анкетата (за интересот изразен од учениците/ родителите) училиштето ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на избраните секции.Изборот на наставниците се прави преку активите на наставниците и Наставничкиот совет, врз основа на распоредот на ангажираноста на секој одделен наставник во наставните активности(Во рамки на Законот за основно образование 2019 година, предвидени се 5 часа непосредна работа со ученици во воннаставни и други активности.)

Одговорните наставници (самостојно или со кореализаторите на активноста) прават планирање за секциите. Планирањето за секоја секција ги содржи следниве елементи: назив на секцијата, одговорен наставник/одговорни наставници за реализација на секцијата, одделенија/возраст на учениците за кои е наменета секцијата и вкупен број на учесници во групата, тема/подрачје (со носечките содржини и активности) опфатени со секцијата, цели на секцијата (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста), временска рамка за реализација и

број на часови посветени на секцијата, потребни просторни услови, неопходни дидактички средства и материјали/ресурси; и предвиден начин за следење на учеството на учениците.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

Задачите на слободните ученички активности се:

-Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците

-Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување

-Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски

-Да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност

-Да се влијае на создавање навики за правилно користење на слободното време.

Планирањето на слободните ученички активности иако е вклучено во Годишната програма за работа на училиштето, тековно се модификуваат и дополнуваат во договор со учениците, согласно нивните интереси, можности, вештини и способности. Во текот на наставната година сите дополнително произлезени секции се планираат и вклучуваат во анекс кон Годишната програма за работа на училиштето.

| **Слободни ученички активности –одделенска настава *** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име на секцијата** | **Општи и конкретни цели** | **Име и презиме на наставникот** | **Потребни ресурси** | **паралелки** | **Вк. број ученици** |
| **Математичка секција** | -да се прошируваат и продабочуваат знаењата по математика<br>-да се воведуваат во задачите кои бараат поголема самостојност за нивно извршување;<br>-да развива логичко и критичко мислење и изнаоѓање решенија на проблем | Благица Илијевска | Интерактивна игри, ИКТ, инерактивна табла, Нумерус, Збирка задачи по математика, интернет, Математички списанија и книги | V | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Спортски активности (млади спортисти)** | - учениците да другаруваат<br>- да се рекреираат преку најразлични видови друштвени игри што се играат на голем отворен или затворен простор. | Марјан Трајковски<br>Бобан Величковски | топки во различна големина и од различен материјал, други предмети кои можат да послужат како реквизити за игрите( јажиња, обрачи,); спортски опрема (патики и тренерки) во лична сопственост на учениците. | III а III б III в III г<br>IVв IVг<br>Vв<br>II б,II в,II г | 92 |
| **Ликовна секција** | -да се одговори на потребите и интересите на учениците за разни активности<br>- да се поттикнува креативноста на учениците<br>-да ги искажува емоциите,мислењата и впечатоците од ликовните дела | Анета Младеновска<br>Тања Гигова<br>Елизабета Каранфиловска<br>Елена Боневска<br>Марина Јаковиќ<br>Руменка Дејанова<br>Тања Горгиева<br>Благица Илијевска<br>Ана Ристовска<br>Ивана С-Спасиќ | Креди во боја, блок, прибор за цртање, сликање,<br>моделирање,<br>компјутер, прожектор | III б IIIг<br>III а III в<br>II а,II б,II в,II г<br>IV в<br>IV б<br>Vг | 108 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературна секција** | - да се прошируваат и продабочуваат знаењата по македонски јазик<br>- да го развиваат талентот за пишување сопствени творби на литературен јазик и да го развиваат чувство за правилен говор | Марина Јаковиќ<br>Елизабета Каранфилова<br>Тања Горгиева<br>Благица Илијевска<br>Ивана С-Спасиќ<br>Елена Боневска | Компјутер, принтер, прожектор, списанија,<br>учебници, книги од различни автори,<br>интерактивна табла, детска литература, | IIIб IIIг<br>IIIа IIIв<br>IV в<br>Vг | 17 |
| **Љубители на природата** | -да изработува производи од рециклиран материјал<br>-да се создаваат навики кај учениците за правилно ирационално користење на слободното време | Јулијана Печевска<br>Анета Младеновска | Соодветни цвеќиња и садници, алат за поткопување,средства за полевање, ѓубриво | | 9 |
| **Англиска секција** | -надградување на знаењата на учениците со културолошки, географски и историски информации поврзани со државите од англиското говорно подрачје;<br>-запознавање со примери од англиската литература;<br>-поттикнување критичко размислување и истражувачка работа | Анита Костадинова<br>Јосиф Шапкалиев | компјутер, прожектор, интернет, стручна литература | II б, II в<br>IIIг IIIб<br>IIIа IIIв<br>Vг | 21 |

| Слободни ученички активности – предметна настава * | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име на секција** | **Општи и конкретни цели** | **Име и презиме на наставникот** | **Потребни ресурси** | **Од кои паралелки се учениците** | **Вкупен број на ученици** |
| Информатичка секција | - да се развива логичкото и критичкото мислење<br>- да се поттикне интересот за користење на нова технологија<br>- учениците да се запознаат со постапката на креирање програми | Владанка Михајловска | Компјутерски, интернет, микробит уреди, литература | 6а, 6в, 6б,6г,7б,7г, 8б, 8в, 8г, 9а, 9в, | 19 |
| Хемиска секција | -поттикнување на учениците за научна работа преку набљудување и експериментирање<br>-примена на стекнатите знаења и нивно продлабочување и поврзување со секојдневното искуство | Лилјана Трајкова | Кабинет,заштитен прибор, лабораториски прибор, супстанци, периоден систем на елементите, модели на молекули, кристални решетки, смарт табла. | 6а,8б,8в,9а,9б,9в | 8 |
| Рецитаторска секција | - развивање љубов кон доживеаното рецитирање<br>- поттикнување интерес за следење на културни манифестации развивање и поттикнување на творечкиот потенцијал. | Магдалена Јанковска | збирки поезија; дополнителна литература; пано; декоративен материјал итн. | 8в | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Англиска секција | - надградување на знаењата на учениците со културолошки, географски и историски информации поврзани со државите од англиското говорно подрачје;<br>- запознавање со примери од англиската литература;<br>- поттикнување критичко размислување и истражувачка работа. | Татјана Арсова<br>Благица Блажеска | компјутер, проектор, интернет, стручна литература | 6а, 6в,6б,6г, 7б, 7в<br>8б, 8в, 8г,<br>9а, 9б, 9в | 35 |

**Слободни ученички активности – предметна настава**

| Име на секција | Општи и конкретни цели | Име и презиме на наставникот | Потребни ресурси | Од кои паралелки се учениците | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| Физика | - Развивање на чувството за негување и почит спрема природните науки особено Физиката;<br>- Препознвање на ученици кои имаат афинитет за проучување на природните науки - Физика;<br>- Негувањето и развивањето на таленти што ќе придонесе за развивање на логичното мислење кај учениците во нивното живеење и понатамошниот развој на нивната идна кариера и професија;<br>- Усовршувањето на нивните афинитети за Физиката и за нивно дополнително мотивирање со поттикнување за учество на натпревари за постигнување резултати на полето на истражувањето од областа на Физиката. | Билјана Ристоска | Соодветна литература збирки книги енциклопедии, компјутер, хартија, збирка на нагледни средства | 8б, 9в | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовна секција | - Да се запозне со карактеристиките на ликовните подрачја од ликовната уметност<br>Цртање, Сликање, Графика, Скулптура, Дизајни , бизуелни комуникации.<br>- Да го употребува ликовниот јазик во претставување на сопствени мисли, емоции, сознанија и фантазија.<br>- Да го сфати значењето на ликовните дела од националното културно наследство, да го негува и почитува, | Емилија Божиновска | Блок ,темперни бои,четки, колаж хартија,сув пастел, глина, компјутер, дигитална фотографија и други нетипични цртачи материјали. | 6а, 6в, 6б,7в 7г, 9б | 15 |
| | -Да ја развива еколошка свест и критичко мислење преку исражување и изработка на ликовни творби со еколошка содржина, | | | | |
| Етичка секција | - да се запознава со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот<br>- да ги открива и да ги почитува етичките односи меѓу луѓето;<br>- да се запознава со универзалните етички вредности; | Лилјана Стефановска/нов наставник | Етички речник, етички текстови, списанија, посебни публикации и сл.; Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери. | 6в,6б,6г, 7в, 7г | 5 |
| Секција по граѓанско образовани | - да се гради сопствениот идентитет и критички да се однесува кон различните влијанија врз формирањето на мислењето и однесувањето;<br><br>- да се прифаќааат вредностите на демократското општество и својата улога во граѓанското општество. | Лилјана Стефановска/нов наставник | Енциклопедии, речници, списанија, дневен печат, интернет, популарни илустрирани образовни софтвери. | 8а | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Драмска секција | - развивање интерес за драмата и нејзината двојна природа (да се чита и изведува на сцена)<br>- поттикнување и негува љубов кон доживеаното читање односно драматизација на текстови<br>- следење и учество на јавни настапи | Олга Добревска | Драми од македонски и странски автори,компјутер, интернет | 6в,6б,6г, 7б, 7в, 8б, 8в, 9а, 9в | 26 |
| Спортска секција | Развој на глобалната моторика со посебно влијание на развојот на мускулите и кардио-васкуларниот систем. | Виолета Радулова<br>Дарко Димитријевиќ | Ракомет: спортски терен, топки, голови и сталки<br><br>Кошарка:спортски терен,кошеви и топки<br><br>Одбојка: спортски терен, мрежа и топки | 6а,6в,6б,7б ,7в8б,8в,8г, 9б<br><br>6а,6в,6б,7б ,7в7г,8б,8в, 8г,9а,9б,9в<br><br>6а,6в,6б,6г, 7а,7б7в,7г, 8а,8б,8в,8г, 9а,9в,9б | 19<br><br>44<br><br>69 |
| Географска секција | - Продлабочување на знаењата и видиците кај учениците и задоволување на интересите за одредени области, градови, држави и др.<br>- Развивање на креативни способности и нивна реализаија во соработка со наставникот.<br>- Развивање интерес за настаните на современиот свет и во нашата земја,кои ја актуелизираат географската стварност. | Марина Грамова | Компјутери со интернет конекција, географски едубунту апликации, енциклопедии, географски карти, паноа, хамери. | 6в,6г,7б,7г, 8г,9б | 7 |
| Географска секција | - Продлабочување на знаењето и видиците кај учениците<br>- Формирање на географско мислење и географска логика кај учениците<br>- Задоволување на интересите за одредени области, држави, градови и др. | Анета Серафимова-Николовска | Компјутери со интернет конекција, географски едубунту апликации, енциклопедии, географски карти, хамери | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Математичка секција | - проширени и продлабочени знаења стекнати од редовната настава<br>- развиено логичко и критичко размислување преку самостојно решавање на задачи<br>- подигнат квалитет на математичко знаење | Даниела Моневска<br>Олгица Ристовска | Збирка со задачи, математички списанија, компјутер, интернет | 6а,6в,6б,6г, 7а,7б7в,8а, 8г,9а,9б,9в | 26 |
| Француска секција | - здобивање со дополнителни знаења надвор од редовната настава<br>-подигнување на свеста за разноликоста на културите<br>- поттикнување критичко размислување и истражувачка работа | Софија Петроска | -компјутер, проектор, интернет, стручна литература | 6а,6в,6г,7а, 7б,8а,9а,9б | 12 |
| Литературна секција | - кај учениците се развиваат индивидуални креативни способности,<br>- ја збогатуваат својата литературно - јазична култура,<br>- ги применуваат знаењата во секојдневниот живот и ги насочува да размислуваат,<br>- да донесуваат сопствени заклучоци и суд за вредноста на литературните творби | Валентина Соколова | - литературни дела;<br>- енциклопедии;<br>- правопис;<br>- аудитивни и визуелни средства во зависност од потребата;<br>- списанија;<br>- интернет, образовни софтвери;<br>- електронски и печатени медиуми. | 6а,6в,7а,7б 8а,8в | 9 |
| Пејачка Секција | да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет | Благица Јованова | Компјутер, проектор, музички систем, звучници, музички спотови и видеа | 6в,6г,7в | 7 |
| Биолошка секција | - да ја разберат улогата на живите организми во заштита на животната средина<br>- да вршат истражување за улогата на човекот во биосферата | Даниела Денковска | компјутер, стручна литература, разновиден технички материјал според потребите, микроскоп | 6а,7а,7б,8а ,8б8в,8г,9а, 9в | 12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќајна секција | - да ги разликува деловите на велосипедот<br>-да знае да вози велосипед<br>-да ги познава сообраќајни правила и прописи<br>-да знае да решава тестови | | - велосипед<br>- компјутер<br>- тестови од сообраќај | 6г,8г,9в | 4 |
| Историска секција | - Да се развива логичкото и критичкото мислење.<br>- Продлабочување на знаењата и видиците кај учениците и задоволување на интересите за одредени историски настани.<br>- Развивање на креативни способности и нивна реализаија во соработка со наставникот.<br>- Развивање интерес за историските настани на современиот свет и во нашата земја. | Александар Каровски<br>Тоше Трајковски | Компјутери со интернет конекција, историски едубунту апликации, енциклопедии, историскиски карти, паноа, хамери. | 6б,6в,9б | 4 |
| Секција Германски јазик | | Моника Митревска | | 6а,6б,6в,6г, 7в,7г,8г,9в | 12 |

### 9.3 Акции

Акциите се воннаставни активности кои се општествено значајни и хумани и во нив активно учество земаат учениците, наставниците, родителите и поширокатa заедница. Акциите имаат за цел да развијат чувство на солидарност и хуманост, демократски вредности, позитивен однос кон работата, чувство на одговорност, подигнување на еколошката свест и зачувување на животната околина.

**План на еколошки акции**

| Активност | Опис на активноста | Носител | Време на реализаија |
|---|---|---|---|
| **Подготовка на Програмата за работа** | Идентификување и почитување на задачите и активностите кои можат да се реализираат во животната средина и прилагодат кон нашето училиште, со цел подобрување на условите за еколошки развој | Еко одбор – ученици,претставник од бизнис заедница | Јули – Август |
| **Редовени состаноци со Еко одборот и увид во тековните активности и акции** | Заштеда на ресурси: вода, струја идр.<br>Естетско разубавување на околината на училиштето и во самото училиште<br>Успешно реализирање на сите еко активности и изготвување на извештаи од истите | Ученици и сите вработени | Во текот на целата учебна година |
| **Редовно обновување и одржување на еко катче** | Видно место во училишното фоаје<br>каде посетителите можат да ги видат активностите на учлиштето | Наставници, ученици,координатор | Во текот на целата учебна година |
| **Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма** | Реализирање на точки на акција од четирите еко стандарди во редовната настава по сите предмети во текот на учебната година | Директор, координатор,наставници,ученици | Август – Септември |
| **Изготвување на план за следење на евалуацијата на активности од еколошката програма** | Континуирано следење на активностите предвидени со планот од еколошката програма | Директор, координатор,<br>Еко одбор | Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Хортикултурно уредување на двор** | Разубавување на училишниот двор<br>Естетско уредување на училишниот двор | Ученици, Еко одбор, сите вработени, надворешни соработници | Во текот на целата учебна година |
| **Организирано собирање на пластични шишиња**<br>**Организирано собирање на електронсски отпад**<br>**Организирано собирање на потрошени батерии** | Одржување на училишната зграда и здрава средина воучилиштето и надвор од него<br>Зголемување на еко свеста кај учениците и развивање на здрави навики | Ученици, Еко одбор, хаусмајстор | Во текот на целата учебна година |
| **Организирано собирање на пластични капачиња** | Поттикнување на учениците да делуваат и хумано и да ја исчистат својата околина од пластични капачиња | Ученици, Еко одбор, хаусмајстор | Во текот на целата учебна година |
| **Организирано уредување на еко-градина во еко –коцка (засебен дел од училишниот двор)** | Да се поттикнат учениците сами да го осмислат организираат и засадат екокатчето –еко градина | Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите вработени, родители, | Во текот на целата учебна година |
| **Одбележување на значајни датуми од областа на екологијата** | Да се одбележат значајните датуми од од оваа област кои се календарски застапени во периодот од септември до јуни, а посебно<br>16. септември - светски ден за заштита на озонската обвивка<br>22. септември - европски ден без автомобили<br>26. септември - светски ден за чисти планини<br>8. октомври –меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата<br>15. октомври – меѓународен ден на пешаците<br>16. октомври – меѓународен ден на храната | Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите вработени, родители, медиуми, локална самоуправа.... | Во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5. март –светски ден за заштеда на енергија<br>22. март - светски ден за заштита на водата<br>22. април - Ден на планетата Земја<br>15. мај - Интернационален ден на акција за клима<br>31. мај –светски ден против пушењето<br>05. јуни - светски ден за заштита на животната средина<br>Да се обезбедат пригодни презентации, предавања, изложби..... | | |
| **Редовно информирање за еко активностите на веб страната на училиштето и запознавање со резултатите** | Одржување на училишната веб страна и збогатување со нови информации и фотографии | Ученици, Еко одбор,Еко координатор | Во тек на учебна година |
| **Соработка со фирми (колективни постапувачи за пластичен и електронски отпад и батерии) и медиуми** | Организирани акции за подигање на еко свест<br>Медумско презентирање на постигнатите резултати како позитивен пример за останатите врсници | Еко одбор, Еколошката секција,донатори, локална самоуправа, медиуми | Во тек на учебна година |
| **Анализа на состојбата на од одбрани теми (1-9)** | Добивање јасна слика за еколошката состојба на целото училиште иодредување на приоритети на Еко одбор | - Вработени,<br>ученици | Во тек на учебна година |

Тим за следење на акциите: членовите на ЕКО одборот, претставник од Советот на родители

**План за организирање базари, хепенинзи**

| Активност | Опис на активноста | Носител | Време на реализаија |
|---|---|---|---|
| **Организирање на новогодишен хепенинг** | Учество на организирани настани и манифестации | Наставниците, учениците од I-IX одд, родителите | декември |
| **Организирање на велигденски базар** | Учество на организирани настани и манифестации | Наставниците, учениците од I-IX одд,родителиотте | април |

**План за организирање хуманитарни акции**

| Активност | Опис на активноста | Носител | Време на реализаија |
|---|---|---|---|
| **Одбележување на „Неделата на борба против гладта“** | Организирање на собирна акција) во училиштето<br>Продажба на вредносни купони во соработка со ООЦК„Гази Баба“ | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници Членови на ПЦК Претставници од Црвен Крст на Скопје и ООЦК Гази Баба | Октомври |
| **Собирање храна и облека** | Организирано собирање на облека и храна и донирање на социо-ранливите семејства | Членови на ПЦК,ученици,наставници,родители | Во текот на годината |
| **Посета на дом/дневен центар за стари лица** | Зголемување на свеста за социјална инклузија, грижа и поддршка на старите лица | Тим за поддршка<br>Членови на ПЦК | Април |
| **Одбележување на Денот на крводарителството** | Градење на позитивен став кај учениците кон крводарителството | Членови на ПЦК | 17 март |

Тим за следење на акциите: Билјана Теовска, претставник од Советот на родители

**План за организирање иницијативи**

| АКТИВНОСТ | ОПИС НА АКТИВНОСТА | НОСИТЕЛ | ВРЕМА НА РЕАЛИЗЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Ученичка иницијатива за разрешување на постоечки проблеми во училиштето „Кампања за развивање свест за чување на училишниот мебел и материјали“** | -Изработка на постери, флаери<br>-Едукативни предавања и дебати<br>-Промоција на иницијативата во локалната средина | Тим од ученици<br>Ученички парламент<br>Ученик правобранител<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Во тек на учебна година |
| **Ученичка иницијатива за поддршка на ученици од социјално загрозени семејства** | -Изработка на постери, флаери за Кампањата за борба против гладта<br>-Поставување штандови за донирање прехрамбени производи<br>-Селектирање на прехрамбените производи и подготвија пакети<br>-Донирање на пакетите на учениците од нашето училиште и нивните семејства кои во моментов имаат потреба од помош и поддршка<br>-Промоција на иницијативата во локалната средина | Тим од ученици<br>Ученички парламент<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители | Во тек на учебна година |
| **Ученичка иницијатива за естетско уредување на училиштето со еко изработки** | - Поттикнување на учениците за собирање идеи за естетско уредување на училиштето<br>-Изработка на постер и флаер за иницијативата<br>-Избор на материјали и изработка на еко творби<br>-Еко конкурс<br>-Еко изложба<br>-Промовирање на ученичката иницијатива | Ученички парламент<br>Директор<br>Стручни соработници<br>Тим за естетско уредување на училиштето<br>Наставници<br>Родители | Во тек на учебна година |

Тим за следење на акциите: директор, педагог, дефектолог

## 10.Ученичко организирање и учество

*Заедницата на паралелката* ја сочинуваат сите ученици од паралелката. Демократската процедура за избор на претседател и заменик претседател на паралелката се спроведува во текот на месец септември на одделенските часови.Најнапред пријавените кандидати кои треба да ги задоволуваат критеримите за избор ,доставуваат пријава, мотивационо писмо и листа со потписи за поддршка. Изборот се врши преку тајно гласање, за избран претседател се смета кандидадот кој има освоено најголем број на гласови од вкупниот број на ученици од паралелката, а за заменик претседател следниот кандидат со најголем број на гласови.
Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката ,се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на : прослави и манифестации, екскурзии...еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми.
Заедниците на паралелките се состануваат минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката.На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот.

Програма за работа на заедницата на паралелката е дадена во прилог бр.15

Во нашето училиште *Ученичкиот парламент* активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од II -IX одделение. Активностите на УП се реализираат според годишниот план и програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот, стручната служба и одговорните наставници. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од и начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество на учениците во училиштето-МИО). Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот (по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со културно-забавниот живот, есетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн. Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба постои голема соработка и истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичката заедница на училиштето.
Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

Програма за работа на Ученичкиот парламент е дадена во прилог бр.16

*Ученички правобранител* е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Работата на ученички правобранител ја поддржуваат (најмалку) двајца негови заменици. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици е составена од две примарни компоненти:
1.Промовирање на детските права.
Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфоденови итн.). Ученичкиот правобранител и неговите заменици во текот на учебната година организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Ученичкиот

правобранител подготвува извештаи (полугодишен и годишен) во кои ќе ги сумира поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците.

2. Поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.
Ученичкиот правобранител е задолжен да го препознае прекршувањето на детските права и прибира поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање. Ученичкиот правобранител подготвува и доставува приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до училишниот одбор.
Ученичкиот правобранител во текот на учебната година одржува редовни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученичкиот правобранител учествува во работата на Ученичкиот парламент и другите тела на училиштата на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

Програма за работа на ученичкиот правобранител е дадена  во прилог бр. 17

**План за работа на ученичкиот Парламент**

| Задачи | Активности | Очекувани резултати/исход | Месец на реализација | Носители на активноста |
|---|---|---|---|---|
| **Формирање ученички тела** | Избор на претседател и заменик претседател во паралелките<br><br>Избор на членови во постојани и повремени тела | Избрано раководство на паралелката (демократско учество на учениците)<br><br>Формирани повремени и постојани тела | септември | Одделенски/класен раководител, ученици |
| **Дефинирање на обврските на учениците во ученичките тела** | Задавање задолженија на членовите на ученичките тела | Изготвен протокол за работа на ученичките тела | Септември | Одделенски/класен раководител, ученици |
| **Формирање и функционирање на Ученичкиот парламент** | Дефинирање на улогата и одговорностите на УП | Прифатени одговорности и задачи | Септември | Одговорни наставници на УП, ученици |
| **Покренување ученичка иницијатива за разрешување на постоечките проблеми во училиштето** | Развивање на чувство на одговорност преку заедничко учество во решавање на постоечките проблеми | Разрешени постоечки проблеми во училиштето | септември-декември | Директор, стручни соработници, наставници, родители тим од ученици |
| **Формирање клуб за учење и дружење** | Опремување и уредување на просторијата на клубот за учење и дружење | Опремен и уреден клуб за учење и дружење<br><br>Развиена соработка и врсничка поддршка | септември-декември | Директор, стручни соработници, наставници, родители, тим од ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Промовирање на врсничката соработка и поддршка преку воннаставни активности | | | |
| **Покренување иницијатива за поддршка на соучениците од ромска етничка заедница** | Изготвување предлог иницијатива до градоначалникот за поддршка на учениците од ромската заедница врз основа на добиените согледувања и заклучоци | Поддршка на учениците од ромска заедница | септември-декември | Директор, стручни соработници, наставници, родители, тим од ученици |
| **Раководство на УП (избор на членови во Совет на родители и Наставнички совет)** | Избор на раководството на УП | Развивиена објективност и колективност | Октомври | Одговорни наставници на УП, ученици |
| **Избор на Ученички правобранител** | Дефинирање на задачите и обврските на Ученичкиот правобранител | Изработка на план за работа на Ученичкиот правобранител | Октомври | Одговорни наставници на УП, ученици |
| **Хуманитарна акција по повод 16 Октомври „Денот на гладта“** | Акција за собирање храна | Развиена свест кај учениците за проблемот со гладта и помагање на социјално загрозени семјества | Октомври | Дефектолог Билјана Теовска, наставници, ученици |
| **Одбележување на Денот на училиштето** | Свечена приредба | Развиено чувство за организација и учество Почит кон делото на борците | октомври | Наставници, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Предавање на тема: Стилови на учење** | Оспособување на учениците за препознавање на сопствениот стил на учење<br><br>Подобрување на успехот на учениците | Подобрен успех на учениците | Октомври | Стручни соработници, ученици |
| **Предавање на тема: Врсничка поддршка и соработка** | Подигање на свеста за прифаќање на различностите<br><br>Подобрување на постигањата кај сите ученици<br><br>Поттикнување и унапредување на инклузивната клима во училиштето и училницата | Развиена свест за различностите<br><br>Повисоки постигања кај сите ученици<br><br>Унапредена инклузивна клима во училиштето и училницата | Ноември | Стручни соработници: педагог и дефектолог |
| **Одбележување на 20 Ноември-„Светски ден на детето“** | Работилница за детските права | Почитување на детските права | Ноември | Наставници, ученици |
| **Новогодишна магија во училиштето** | Украсување на училиштето | Развиена соработка и комуникација помеѓу учениците и наставниците<br><br>Развиена креативност кај учениците | декември | Наставници, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на постигнатиот полугодишен успех во прво полугодие и запознавање со педагошките мерки** | Разгледување на полугодишните извештаи за постигнатиот успех<br><br>Презентација за педагошите мерки | Зголемена мотивација кај учениците за постигнување подобар успех во второ полугодие | Јануари | Одговорни наставници, стручни соработници, ученици |
| **Одбележување на 8 Март- „Меѓународниот ден на жената“** | Литературно читање<br><br>Ликовна изложба | Согледана важност на улогата и придонесот на жената во општеството<br><br>Искажана љубов и благодарноста кон мајката | Март | Наставници, ученици |
| **Посета на Ботаничка градина** | Запознавање со различните видови растенија кои живеат на едно место | Стекнати знаења за различните видови растенија кои живеат на едно место | Март | Наставници, ученици, родители |
| **Одбележување на 21 Март- „Денот на пролетта и екологијата“** | Подигнување на свеста за заштита на околината | Подигната свест за чување и заштита на околината | Март | Наставници и ученици, родители |
| **Одбележување на 22 Април- „Денот на планетата Земја“** | Создавање свесност, одговорност и работни навики за заштита на планетата Земја | Подигната свест, создадени одговорности и навики за заштита на планетата Земја | Април | Наставници и ученици |
| **Одбележување на 23 Април- „Светскиот ден на книгата“** | Развивање љубов кон книгата | Развиена желба за читање и творење | Април | Наставници, библиотекар, ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирање спортски натпревари во рамките на училиштето** | Меѓуодделенски натпревари | Развиен интерес кон спортот, развиен натпреварувачки дух и другарството | Мај | Наставник по физичко и здравствено образование Виолета Радулова, ученици |
| **Поднесување извештај од работата на УП** | Презентирање на спроведените активности | Согледани резултати од работата на УП | Јуни | Одговорни наставници, ученици |

Одговорни наставници:
Благица Илијевска- одделенски наставник
Софија Петроска – наставник по француски јазик

## Програма за работа на детската организација

**Детската организација** е воспитно–образовна организација од доброволен карактер на учениците во ООУ „Стив Наумов“ – Скопје. Цел на оваа организација е зајакнување на свеста за потребата од вклучување на сите деца во задолжителниот процес на образование преку организирање и поттикнување на општествено-образовниот и на општествено-забавниот живот во училиштето.

Реализацијата на поставените цели на Детската организација при нашето училиште ќе ги опфати следниве подрачја:

- **Едукативни активности** – Организирање корисни предавања од едукативен карактер за современи општествени теми или на теми во корелација со наставната програма и воспитно-образовниот процес. Тука би ги вклучиле различните НВО, кои работат на истоимената проблематика, и стручни лица – поединци професионалци во својата област, лица од локалната средина (заедница), од редовите на родителите на учениците или самите ученици. Ќе се мотивира и поддржува членувањето на учениците во слободните ученички активности преку кои тие ќе ги изразуваат афинитетите кон омилените наставни предмети, наставни теми или наставни содржини, како и вклучување на учениците и нивно учество на пригодни приредби и во разновидни воннаставни активности. Детската организација, исто така, ќе ги поддржува учениците и при нивното учество на ученички натпревари.

- **Забавно – спортски активности** – Организирање училишни забави во соработка со наставниците и со Советот на родители; организирање спортски активности и учество во истите на ниво на училиште или на ниво на општина (грижа за физичкиот развој на секој ученик); вклучување во активности од уметничко-креативен карактер и уметнички изложби (базари) како поттик за творештво кај учениците.

- **Хуманитарни активности** – Поради поддршка и развивање на хумани вредности и на позитивни човечки особини кај учениците, кои се и ќе бидат дел од нашето општество, ќе се организира и ќе се поттикнува учество во хуманитарни акции и акции на солидарност организирани од училиштето, од локалната самоуправа или од други здруженија и организации.

Секоја активност од Распоредот на активности ја организира наставникот-координатор на Детската организација, како носител на активноста, а по потреба и во соработка со другите наставници согласно целта на активноста и согласно возраста на учениците коишто ќе бидат вклучени во истата.

Предвидените активности на Детската организација при нашето училиште ќе се реализираат во целост, но не се исклучува и можноста одредени да бидат подложни на промени, а истите ќе зависат од околностите, од техничко-материјалните услови и можности и од соработката со одговорните и надлежни лица. Исто така, можно е тековно да се реализираат содржини и активности кои не се предвидени во оваа програма, а се од едукативен карактер, достапни и корисни за учениците и за нивниот когнитивен, психофизички и социо-емоционален развој.

| *Содржина* | *Цел* | *Месец* | *Носител на активност* |
|---|---|---|---|
| **Пригодна приредба по повод првиот училиштен ден (прием на првачиња)** | Поттикнување весела атмосфера при приемот на првачињата во нивниот втор дом; Развој и негување на правилен однос кон училиштето и кон другарство | **IX** | Детска организација |
| **5 Октомври – Светски ден на учителите (Teachers' Day)** | Развивање чувство на почит кон благородната работа, трудот и ангажманот на учителите | **X** | Олга Добревска, Наставници и ученици од IV одделение (членови на Детска организација) |
| **Одбележување на Детска недела: Детска организација – формирање, цел, задачи и активности** | Запознавање на учениците со целите и со активностите на Детската организација; Развивање чувство на солидарност | **X** | Детска организација |
| **Свечена приредба за прием на првачињата во Детска организација** | Зачленување во Детската организација; Правилен однос кон детето и запознавање на првачињата со основните детски права и должности | **X** | Детска организација во соработка со одделенските наставници |
| **Патронен празник на ООУ „Стив Наумов“ – Ден на училиштето** | Вечен спомен, развивање чувство на почит и на благодарност кон ликот и делото на нашиот патрон | **X** | Ученици-членови на Детска организација заедно со одговорните наставници |
| **13 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Скопје** | Проследување на историјата на нашиот колективен дом – Скопје; Почит кон борците за слобода и значењето на празникот | **XI** | Наставници и ученици од III одделение, членови на Детска организација |
| **„Златно славејче“ – музички фестивал на детски песни** | Продолжување на традицијата за посета на ова музичко обележје на нашиот главен град; Развој на музичка култура кај најмладите | **XI** | Членови на Детската организација (ученици и наставници од одделенска настава) |
| **20 Ноември - Одбележување на Светскиот ден на детето** | Да се развиваат љубов и почит кон децата | **XI** | Детска организација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8 Декември – Св. Климент Охридски** | Вреднување на просветителската дејност и делата на Св.Климент Охридски; Љубов и почит кон ликот и делото на Св.Климент Охридски | **XII** | Членови на литературната секција и одговорните наставници, Детска организација |
| **Уредување и украсување на училишниот ентериер со уметнички изработки во зимски и новогодишни мотиви од училишните секции** | Развивање на креативноста и на уметничкиот порив кај учениците; Создавање потопол училишен ентериер | **XII** | Членови на Детската организација и претставници на училишните секции со одговорните наставници |
| **8 Март – одбележување на Денот на жената** | Да се спознае еднаквоста помеѓу жената и мажот; Изразување љубов и почит кон жената-мајка-сестра-баба | **III** | Детска организација, Магдалена Јаневска<br><br>Ученици и наставници вклучени во проектот „Интегрирање на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ (членови на ДО) |
| **21 Март - Ден на Екологијата и Ден на пролетта** | Подигнување на еколошката свест кај учениците за заштита на животната средина и љубов кон природата | **III** | |
| **Априлијада – Ден на шегата и организирање маскенбал** | Развивање на чувство за хумор, креативност и творечка фантазија; Поттикнување на весело расположение; Соработка со локалната самоуправа | **IV** | Раководство и членови на Детска организација<br><br>Ученици со своите наставници |
| **4 Мај – одбележување годишнина од смртта на Гоце Делчев** | Љубов и почит кон ликот и делото на македонскиот револуционер Гоце Делчев | **V** | Членови на Детската организација и историската секција (Тоше Трајковски) |
| **24 Мај - Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј (одбележување)** | Мисијата на светите браќа и осознавање на величината на нивното дело, како и градење почит кон истото | **V** | Валентина Соколова, Детска организација |
| **Самоевалуација** | Споредба на постигнатите резултати со поставените цели | **VI** | Детска организација |

Одговорни наставници: Елизабета Каранфилова – одделенска настава
Бојана Митевска – предметна настава

# 11.Вонучилишни активности

## 11.1Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности

- да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- да помага на помалку успешните ученици;
- да биде одговорен, да се однесува примерно и да се изградува во личност во која секој ќе може да има доверба;
- да се грижи и да придонесува во градењето на позитивни односи со сите ученици врз основа на другарството;
- да го исклучи својот мобилен телефон за време на часовите;

- да не носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- да го отпоздрави наставникот кога ќе влезе во училница;
- за време на часот да не излегува во тоалет;
- да не вика по ходниците, да не трча и да се придржува кон правилата на однесување;
- ако во дворот види отпад да го фрли во корпа за отпадоци;
- да влезе во училницата штом го слушне ѕвончето;
- да внимава на своето однесување и да не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- да им се обраќа со ВИЕ на возрасните;
- да користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- да поздравува со добро утро, добар ден и до видување;
- да не користи вулгарни зборови кога комуницира;
- да не носи предмети со кои би можел да ги повреди другите ученици;
- да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- да не ги потценува способностите на своите соученици;
- како повозрасен да се однесува коректно кон помалите;
- го сослуша внимателно и да го почитува мислењето на другиот;
- да ги почитува различните од себе;
- да биде искрен со своите родители, дури и да згреши, тие ќе имаат разбирање за неговите постапки;
- да не се затвора во свое „друштво“, туку да пронајде време и за оние кои не припаѓаат на неговото „друштво“;
- редовно да ги информира родителите за случувањата во училиштето;
- задолжително на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

**Дежурниот ученик треба:**

- навреме да го започне своето дежурство;
- да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
- да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;
- да внимава родителите да имаат дозволен влез само на одморите, до наставничката канцеларија или до канцелариите на стручната служба;
- да не дозволува да влегуваат младинци ( бивши ученици) да се шетаат низ училишните ходници;
- да не дозволува кај пријавницата собирање на други ученици кои не се дежурни;

## *ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ*

**Родителот- старателот треба**:

- да го почитува куќниот ред на училиштето;
- при влегувањето во училиштето, задолжително да се пријави кај дежурниот ученик;
- како што го почитува своето време, да го почитува и времето за прием кај наставниците;
- на примерен начин да комуницира со персоналот во училиштето и соодветно да се однесува со нив;
- редовно да се информира за постигнатиот успех и поведение на своето дете;
- редовно да ги исполнува обврските што ги има кон училиштето (матерјиални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- да не ги игнорира потенцијалните проблеми на сопственото дете и да реагира превентивно и благовремено;
- задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето;
- да има на ум дека неговите постапки се пример за однесување на сопственото дете;
- да знае дека училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека.

## *ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ*

**Наставникот треба:**

- да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- да го почитува времетраењето на часот;
- секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- да ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално да се однесува за време на часот;
- реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;

- редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето и да ги почитува одлуките од истите;
- да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;

***ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ***

**Останатите вработени во училиштето треба:**

- да ги извршуваат работните задачи што се во описот на нивното работно место;
- да соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- да доаѓаат навреме на работното место;
- да остваруваат коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во термините за прием одредени од самиот вработен;
- со својот лик, однесување, говор и култура да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

*Прилог 37*

## УЧИЛИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

| Компетенции | Тема/Наслов/Носител | Активности за форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на професионален развој | Потребни ресурси | Учесници | Улога на учесниците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I.A. 7<br>Ги познава наставниот план и програма и односите меѓу нивните компоненти (цели, содржини, дидактички насоки, поими, активности) | Обука за новите наставни програми согласно Концепцијата за основно образование за наставиците од одделенска настава во III, VI одделение, организирана од МОН и БРО | Учество во обука | Изготвува и реализира наставни планови и програми согласно Концепцијата за основно образование | Екстерна обука | ИКТ технологија | Наставиците од одделенска настава во III и VI одделение во учебната 2023/24 година | Учесник, реализатор | јуни |
| II.A.3<br>Применува иновативни и интерактивни пристапи за реализација на наставата | Креирање и примена на иновативни и интерактивни пристапи за реализација на наставата | Колаборативни форми на професионален развој | Применува иновативни и интерактивни пристапи за реализација на наставата | Колаборативни форми | ИКТ технологија | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Учесник, реализатор | септември / јуни |
| II.A.7<br>Знае дека примарна цел на оценувањето е унапредување на постигањата на учениците | Оценување на ученици со акцент на самооценување и соученичко оценување | Учество во заеднички активности | Објективност и транспарентност во оценувањето; Зголемена мотивација за повисоки постигнувања кај учениците | Колаборативни форми | Прирачници, стручна литература | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Учесник, реализатор | септември - јуни |
| III.A.9 | Стратегии за | Учество во | Позитивна клима | Екстерна обука | Прирачници, | Одделенски и | Учесник | август |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Познава стратегии за менаџмент во училница (создавање позитивна клима и имплементирање техники и стилови на комуникација) | менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера | обука | и конструктивна работна атмосфера за време на часот | | стручна литература, ИКТ | предметни наставници, стручни соработници | | |
| II.Б.7 Применува современи наставни средства и помагала | Поставување смарт табли во училиштето и нивна соодветна примена во реализацијата на наставните содржини | Индивидуален: проучување стручни извори. Колаборативен: консултации, заедничко учење, следење на наставата | Осовременување на наставата во тек со светските трендови | Индивидуален, интерен –во училиштето | Смарт табли, интернет пристап, ЛЦД проектори, компјутери | Одделенски и предметни наставници | Учесник, реализатор | септември-јуни |
| V.А.2 Знае начини за соработка со семејствата и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во училиштето | Едукативни предавања од страна на родители, соработка со Советот на родители | Посети на културни, образовни институции и претпријатија и соработка со медиуми и родители | Проширени знаења на учениците , развиени вештини и поттик за професионална ориентација Ефективна соработка со родителите и локалната заедница | Колаборативен: наставници, ученици, родители, членови на заедницата | Финансиски средства | Одделенски и предметни наставници, родители, ученици, членови на заедницата | Учесник, реализатор | септември-јуни |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III.Б.8 Користи соодветни начини за справување со насилство и дискриминација | Личен развој – градење толеранција и ослободување од предрасуди и стереотипни рамки, Реализатор Анетка Трајкова – наставник ментор | Интерна обука - работилници | Наставниците поседуваат вештини за создавање позитивна комуникација и клима кај учениците. Непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето каде сите се чувствуваат безбедно, сигурно и прифатено. | Интерна обука | Прирачници Упатства Стручна литература | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Учесник, реализатор | Октомври |
| III.Б.1 Организира стимулативна средина за учење | Позитивна дисциплина, стратегии и интервенции за подобрување на училишната клима, Реализатори: Биљана Василевска – педагог Билјана Теовска - специјален едукатор и рехабилитатор | Интерна обука | Училиште во кое владее позитивна и топла клима во која сите се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самопочит, одговорност и општествени вештини | Интерна обука | Прирачници Упатства Стручна литература | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Учесник, реализатор | Јануари |
| VI.Б.3 Идентификување на сопствените образовни | Увид во планирање на сопстевениот професионален | Индивидуален: проучување стручни | Извршена самопроценка на сопствените компетенции | Индивидуален, внатрешен –во училиштето | Правилници/ Прирачници за основните компетенции | Тим за професионален развој, одделенски и | Учесници, реализатор | август, септември |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| потреби и планирање за својот професионален развој. | развој на наставниците | извори, Колаборативен: стручен актив, консултации, заедничко учење | Изработен личен план за професионален развој Изготвен извештај од реализација на личниот план за професионален развој | | на наставниците и с тручните соработници упатства, | предметни наставници, стручни соработници | | |

Тим за професионален развој: Лилјана Стефановска -директор, Биљана Василевска – педагог, Билјана Теовска – дефектолог, Татјана Арсова- предметен наставник, Благица Блажеска- предметен наставник, Благица Илијевска – одделенски наставник, Ана Ристовска- одделенски наставник

| *Програма за кариерен развој на воспитно- образовниот кадар* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Активности** | **Индикатори** | **Носител на активност** | **Временска рамка за реализација** | **Ресурси** | **Очекувани исходи/резултати** |
| Приправник | 1. Доделување на менторство<br>2. Изготвување на програма за поддршка на приправникот<br>3. Следење и евалуација на работата на приправникот<br>4. Изготвување извештај за неговата подготвеност за полагање стручниот испит | Изготвена менторска програма;<br>Дадено мислење по завршен приправнички стаж | Директор<br>наставник<br>стручен соработник | По засновање на работен однос<br>(во рок од 1 година) | Менторска програма;<br>Записници од средбите на менторот и приправникот;<br>Дадено мислење по завршен приправнички стаж | Успешно совладани основни компетнции за наставник/стручен соработник (приправник)<br>Положен приправнички испит |
| Наставник/стручен соработник ментор | <u>Наставник ментор:</u><br>1. Менторирање на наставник-приправник<br>2. Менторирање на студенти од факултетите за наставници<br>3. Менторирање на наставници што имаат поддржан професионален развој<br>4. Користење иновативни приоди во спроведување акциски истражувања<br>5. Учество во изготвување развојни политики на училиштето<br>6. Други задачи согласно стекнатите компетенции за наставник-ментор | Изготвена менторска програма<br><br>Спроведени акциски истражувања<br><br>Изготвени развојни планови | Наставници<br><br>Стручни соработници | По објавување на конкурс од страна на МОН<br><br>По објавување на конкурс од страна на МОН | Докази за:<br>професионалниот развој,<br>професионална практика,<br>професионална соработка и соработка со семејството и заедницата.<br><br>Докази за:<br>професионалниот развој,<br>професионална практика,<br>професионална соработка и соработка со | Успешно развиени компетенции и стандарди за наставник/стручен соработник ментор<br><br>Добивање на звање наставник/стручен соработник-ментор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стручен соработник ментор:<br>1. Менторирање на стручен соработник-приправник<br>2. Менторирање на студенти од соодветните факултети<br>3. Изготвување развојни политики на училиштето<br>4. Поттикнување и на професионалниот развој на вработените во училиштето<br>5. Воведување иновативни приоди во воспитно-образовната работа на училиштето и следење на нивната имплементација<br>6. Иницирање и развивање партнерска соработка со семејството и заедницата за прашања релевантни за заедницата од аспект на образованието<br>7. Други задачи согласно стекнатите компетенции за стручен соработник-ментор | Изготвена менторска програма<br>Програма и акционен план за професионален развој, ЛППР<br>иновативни приоди во воспитно-образовната работа;<br>Воспоставена партнерска соработка со наставник, ученик, родител и локална заедница;<br>Изготвени развојни планирања | | | семејството и заедницата | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставник/ стручен соработник советник | <u>Наставник советник:</u><br>1. Менторирање на студенти од факултетите за наставници<br>2. Менторирање на колеги што имаат поддржан професионален развој<br>3. Учество во изготвување на развојни политики на училиштето<br>4. Водење меѓуучилишни тимови за учење<br>5. Изготвување наставни материјали за учење и поучување<br>5. Аплицирање и реализација на проекти во училиштето<br>7. Други задачи согласно стекнатите компетенции за наставник-советник<br><br><u>Стручен соработник советник:</u><br>1. Менторирање на студенти од факултетите за наставници<br>2. Менторирање на колеги што имаат поддржан професионален развој<br>3. Водење на процесот на развојно планирање во училиштето и предлагање училишни политики<br>4. Спроведување комплексни истражувања релевантни за образованието во поширок контекст | Изготвена менторска програма<br>Формирани тимови за меѓусебна соработка со други училишта;<br>Изготвени наставни материјали;<br>Апликации за проекти<br>Изготвени развојни планови<br>Изготвена менторска програма<br>Спроведени истражувања<br>Развојни планови за | Наставници<br>Стручни соработници | По објавување на конкурс од страна на МОН<br>По објавување на конкурс од страна на МОН | Докази за:<br>професионалниот развој,<br>професионална практика<br>професионална соработка и соработка со семејството и заедницата<br>Докази за:<br>професионалниот развој<br>професионална практика<br>професионална соработка и соработка со семејството и заедницата | Успешно развиени компетенции и стандарди за наставник/стручен соработник советник<br>Добивање звање наставник/стручен соработник-советник |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5. Идентификување нови подрачја и начини за соработка на училиштето со семејството и заедницата и раководење со нивната имплементацијата | подобрување на воспитно-образовната работа;<br>Соработка со семејствата и локалната заедница | | | | |

За изготвување на планот за кариерен развој на воспитно-образовниот кадар користена е следнава литература :

1. Прирачници за професионален и кериерен развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;
2. Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта;

*Прилог 38*

## *Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите*

Вклученоста на родителите/старатели ќе се одвива во текот на целата година, најчесто низ три форми на соработка и тоа:

1. индивидуални средби на одделенскkиот раководител со родителот на ученикот;
2. ден на отворени средби на училиштето и средба со сите наставници;
3. општи родителски состаноци
4. вонредните родителски средби
5. приредби и заеднички акции
6. работилници со родители

| Содржини | Време |
|---|---|
| - Запознавање со содржините и активностите од Годишната програма на училиштето<br>- Екскурзии, посети, набљудувања и педагошко-психолошкиот аспект на целите<br>- Подршка од страна на родителите во рамките на online наставата | **IX** |
| - Другарството и пријателстото кај врсниците<br>- Психофизичките карактеристики на децата од оваа возраст | **IX** |
| - Односот помеѓу родител, ученик, наставник<br>- Соработка на семејството со училиштето | **IX** |
| - Одговорно однесување на ученикот во училиштето и надвор од него | **IX** |
| - Заедничка еко – акција за средување на училишниот двор<br>- Соработка за одбележување на патрониот празник на училиштето | **X** |
| - Организирање на работниот ден на ученикот во домот | **X** |
| - Видови на семејно воспитување и нивното значење | **XI** |
| - Обврските на учениците кон училиштето и поширокатa заедница | **XI** |
| - Успехот, изостаноците и однесувањето на ученикот | **XI, I, IV, VI** |
| - Влијанието на книгите, списанијата, ТВ, филмот, интернетот | **XI** |
| - Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие<br>- Како корисно и занимливо да се искористи зимскиот распуст (напатствија, совети и сугестии)<br>- Како да се заинтересира детето за читање книги | **I** |
| - Психолошката позадина на невообичаените постапки и однесувања на учениците | **III** |
| - Организирање на велигденски базар | **IV** |
| - Наградувањето и казнувањето во семејството и нивната рефлексија врз детското однесување и училишниот успех | **IX, XI, IV** |
| - Хигиена и хигиенски навики | **IX, XI, III** |
| - Вклучување на родителите во реализација на пролетен излет | **V** |
| - Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година<br>- Поделба на свидетелства<br>- Како корисно и занимливо да се искористи летниот распуст (напатствија, совети и сугестии) | **VI** |

## План за средби со родители

| Датум на одржување | Карактер на средбата | Време на одржување | Одделенија |
|---|---|---|---|
| 04.09.2023 год. | информативна родителска средба | 17 ч.00 мин.<br>17 ч.30 мин. | од I - Vодд.<br>од VI - IXодд. |
| 06.11.2023 год. | Родителска средба прво тримесечие<br><br>отворена средба со предметните наставници | 17 ч.00-17.30мин.<br>17 ч.30 -18.00мин.<br><br>17 ч.30 -18.30мин. | од VI - IXодд.<br>од I - Vодд.<br><br>од I - IXодд. |
| 23.01.2024 год. | Родителска средба прво полугодие | 17 ч.00 -17.30мин.<br>17 ч.30 -18.00мин. | од I - Vодд.<br>од VI - IXодд. |
| 10.04.2024 год. | Родителска средба трето тримесечие<br><br>отворена средба со предметните наставници | 17 ч.00-17.30мин.<br>17 ч.30 -18.00мин.<br><br>17 ч.30 -18.30мин. | од VI - IXодд.<br>од I - Vодд.<br><br>од I - IXодд. |
| 17.05.2024 год. | отворена средба со предметните наставници | 17 ч.00-17.30мин.<br>17 ч.30 -18.00мин. | од I - Vодд.<br>од VI - IXодд. |
| 17.06.2023 год. | информативна родителска средба за успехот на учениците | 17 ч.00-17.30мин.<br><br>17 ч.30 -18.30мин. | од VI - IXодд.<br>од I - Vодд |

## 38.2 Приемни денови за родители-предметна настава

| Реден број | Име и презиме на наставникот | Приемен ден | Термин ( од-до ) |
|---|---|---|---|
| 1 | Магдалена Јанковска | среда | 10.30 - 11.00 |
| 2 | Олга Добревска | вторник | 10.30-11.00 |
| 3 | Валентина Соколова | понеделник | 10.30-11.00 |
| 4 | Татјана Арсова | четврток | 11:15 – 11:55 |
| 5 | Благица Блажеска | среда | 9:45 – 10:25 |
| 6 | Бојана Митевска | Вторник | 12:00-12:30 |
| 7 | Анита Костадиновска | четврток | 12:00-12:30 |
| 8 | Моника Трајкоска | понеделник | 13:30-14:15 |
| 9 | Софија Петроска | четврток | 11:15 – 11:50 |
| 10 | Даниела Моневска | четврток | 11:15 – 11:50 |
| 11 | Олгица Ристовска | четврток | 10:30 – 11:00 |
| 12 | Даниела Димишковска | вторник | 11:10 – 11:50 |
| 13 | Билјана Ристоска | вторник | 11:30 -12:00 |
| 14 | Лилјана Трајкова | понеделник | 11:15 – 11:55 |
| 15 | Александар Каровски | петок | 08.40 - 09.25 |
| 16 | Тоше Трајковски | среда | 10:30-11:10 |
| 17 | Марина Грамова | четврток | 10:30-11:10 |
| 18 | Владанка Михајловска | четврток | 10:00-10:30 |
| 19 | Благица Јованова | понеделник | 10.30-11.00 |
| 20 | Емилија Божиновска | петок | 10.30-11.00 |
| 21 | Виолета Радулова | понеделник | 08:50 – 09:20 |
| 22 | Дарко Димитријевиќ | петок | 08:40 - 9:20 |
| 23 | Марјан Трајковски | среда | 12:45 – 13:25 |
| 24 | Даниела Денковска | среда | 12.45-13.25 |
| 25 | Лилјана Стефановска/ нов предметен наставник | вторник | 10.30-11.00 |
| 26 | Анета С. Николовска | вторник | 10.00 - 10.30 |
| 27 | Славица Анчевска | понеделник | 11:15 – 12:00 |
| 28 | Валентина Николовска | вторник | 10:30 – 11:10 |
| 29 | Даниела Ристеска | вторник | 10:30 – 11.15 |
| 30 | Соња Рулевска | среда | 10.00 - 10.30 |

**Приемни денови за родители-одделенска настава**

| Реден број | Име и презиме на наставникот | Приемен ден | Термин ( од-до ) |
|---|---|---|---|
| 1 | Гордана Мацкова | Среда | 07.30-8.00/12.15-12.45 |
| 2 | Елица Милошевска | Петок | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 3 | Славица Трипуноска | понеделник | 07.30-8.00/ 12.15.-12.45 |
| 4 | Љубинка С. Петрушева | четврток | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 5 | Јулијана Печевска | четврток | 07.30-8.00/ 12.15.-12.45 |
| 6 | Радица Стоилковска | Среда | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 7 | Благица Илијевска | вторник | 07.30-8.00/12.15.-12.45 |
| 8 | Апостолова Сузана | вторник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 9 | Слободанка Басотова | Петок | 07.30-8.00/12.15.-12.45 |
| 10 | Марија Лефковска | вторник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 11 | Марлена Најдовска/нов одд. наставник | понеделник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 12 | Маја Питроповска | вторник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 13 | Марина Јаковиќ | четврток | 07.30-8.00/12.15.-12.45 |
| 14 | Розета Филъкова | Среда | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 15 | Руменка Дејанова | Петок | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 16 | Анетка Трајкова | Среда | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 17 | Ана Ристовска | четврток | 07.30-8.00/12.15.-12.45 |
| 18 | Ангелина Трајковска | четврток | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 19 | Елизабета Каранфилова | вторник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 20 | Елена Боневска | понеделник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 21 | Тања Гигова | четврток | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 22 | Ивана С.Спасиќ | четврток | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 23 | Билјана Личкова | Среда | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 24 | Нов одд. наставник | Петок | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 25 | Андријана Стефановска | петок | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 26 | Анета Младеновска | понеделник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 27 | Славица Стојаноска | понеделник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 28 | Тања Горгиева | вторник | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 29 | Ирена Тричковска | петок | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |
| 30 | Анита Костадиновска | петок | 11.00 – 11.30 |
| 31 | Марјан Трајковски | среда | 12.00-12.40 |
| 32 | Бобан Величковски | среда | 13.20-14.00 |
| 33 | Јордан Петрушевски | петок | 07.00-8.00/ 16.00-17.00 |

*Прилог 39*

## *Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница*

| Цели | Содржини/активности | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за унапредување на соработката со локалната заедница | Континуирани средби и активности со локалната заедница | Директор, стручни соработници, наставници, ученици и родители | Континуирано во текот на учебната година | Унапредена соработка со локалната заедница |
| Подобрување на условите за работа во училиштето | Перманентна соработка со установи и претпријатија | Директор и претседател на училишен одбор | Континуирано во текот на учебната година | Подобрени услови за работа во училиштето |
| Афирмација и промовирање на постигањата на училиштето | Одбележување на денот на училиштето<br>Учество на организирани настани, манифестации , промоции во соработка со локалната заедница | Директор, стручни соработници, наставници, ученици и родители | Континуирано во текот на учебната година | Афирмирано училиште и јакнење на соработката со локалната средина и бизнис секторот |
| Учество во организирани настани , манифестации и активности од страна на општината | Одбележување на Денот на општината | Директор, стручни соработници, ученици, наставници, претставници од локалната самоуправа | Ноември | Негување и издигнување на културно ниво, афирмирање на општината |
| Размена на знаења, искуства и вештини, за унапредување на воспитно – образовната дејност | Соработка со други институции и основни училишта преку учество на проекти | Наставници, струни соработници училиштето, директор | Континуирано во текот на учебната година | Унапредена воспитно - образовна дејност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Продлабочување на знаењата за локалната самоуправа, стекнување сознанија за начинот на решавање на јавните прашања и проблеми во општината | Едукација на учениците за функционирање на општината и нејзините структури (поврзани со Граѓанско образование и Општество) | Ученици, наставници и вработени во општината | Континуирано во текот на учебната година | Продлабочени знаења за локалната самоуправа, стекнати сознанија за начинот на решавање на јавните прашања и проблеми во општината |
| Развивање на еколошка свест, работни навики, чувство на солидарност, соработка | Учество во акции од јавен интерес организирани од општината (еколошки, работни, хуманитарни) | Ученици, одговорни наставници, одговорни лица од општината | Континуирано во текот на учебната година | Развиена еколошка свест, работни навики, чувство на солидарност, соработка |
| Грижа за безбедноста на учениците во сообраќајот и за време на престојот во училиштето | Соработка со полицијата на општина Гази Баба | Претставници од полициската станица Гази Баба | Континуирано во текот на учебната година | Развиена свест кај учениците за безбедноста во сообраќајот и престојот во училиштето |
| Промовирање на културни вредности<br>Поттикнување на креативноста кај учениците<br>Јакнење на соработката со локалната заедница | Учество во избор за најубава мартинка во општина Гази Баба<br>Одбележување на Денот на шегата-Први април<br>Учество на Велигденски хепенинг | Директор, стручни соработници, наставници, ученици родители, претставници од општината и локалната заедница | Март<br>Април | Промовирани културни вредности<br>Развиена креативност кај учениците<br>Успешна соработка со локалната заедница |
| Развивање на спортскиот дух кај учениците, меѓусебна соработка и дружење | Учество на спортски манифестации | членови на спортските секции, одговорни наставници | Континуирано во текот на учебната година | Формирани правилни навики за здрав живот и спортска култура |
| Справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето | Учество во симулација за евакуација при елементарна непогода | Директор, стручни соработници, наставници, ученици родители, технички персонал претставници од | Се определува според потребите | Подготвеност на вработените,учениците и родителите за постапување во случај на елементарна непогода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | општината и локалната заедница | | |
| Јакнење на соработката со основните и средните училишта од општината и градот<br>Унапредување на воспитно-образовната дејност | Соработка и размена на искуства помеѓу наставниците, стручните соработници и директорите од основните и средните училишта од општината и градот | Психолози, педагози, социјални работници, дефектолози | Континуирано во текот на учебната година | Успешна соработката со основните и средните училишта од општината и градот<br>Унапредена воспитно-образовна дејност |
| Информирање на учениците за работата на средните училишта заради полесно професионално ориентирање | Соработка со средни училишта и нивна промоција | Ученици, наставници, директор | Мај | Информирани ученици за работата на средните училишта и условите за запишување |
| Едукација на учениците за заштита и превенција од болести, грижа за орално и телесно здравје, како и за заштита од пороци | Соработка со амбулантата во Автокоманда | Стручни лица од амбуланта Автокоманда | Се определува според потребите | Едуцирани ученици за заштита и превенција од болести, грижа за орално и телесно здравје, како и за заштита од пороци |
| Промоција на работата и постигањата на училиштето | Учество на организирани настани и манифестации<br>Учество во медиуми<br>Презентација на информации преку веб страна на училиштето, брошури | Директор, стручни соработници, наставници, ученици родители, | Континуирано во текот на учебната година | Училиште препознатливо по квалитетот на работата и постигањата |

*Прилог 40*

## *Програма за грижа за здравјето на учениците*

| Цели | Содржини и активности | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика<br>за грижа за здравјето на учениците<br>Формирање на училишен тим за<br>за грижа за здравјето на учениците | -Формирање на училишен тим<br>-Изготвување на годишна програма за работа | -Училишен тим<br>-Директор<br>-Стручни соработници | Септември<br>Октомври | Успешна реализација на планираните активности |
| Формирање навики за конзумирање здрава храна | Организирање исхрана на учениците со ладен оброк – ужинка од I до IX одделение | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници | Во тек на годината | Развиена свест за придобивките од здрава храна |
| Заштита на општата психофизичка и здравствена состојба на учениците | Осигурување на учениците | Директор<br>Секретар<br>Наставници | Октомври | Обезбедување финансиски надомест во случај на повреда |
| Одржување на хигиената во училиштето и обезбедување здравствена заштита на учениците | Редовно одржување на хигиената на училниците, ходници и училишен двор со употреба на соодветни дезинфекциони средства | Директор<br>Технички персонал<br>Хаусмајстор | Во тек на учебната година | Обезбедена здравствено хигиенска заштита за учениците |
| Градење правилни навики за здравствена заштита и здравствено образование | -Информирање за :<br>одржување лична хигиена и заштита од заразни болести | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници | Во тек на годината | Развиена свест кај учениците за потребата за заштита од заразни болести<br>Самостојна грижа за сопственото здравје<br>Формирани позитивни здравствено хигиенски навики |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заштита на здравјето на децата | -Систематски прегледи<br>-Вакцинирање согласно календарот за имунизација<br>-Стручни предавања и трибини на теми:<br>Пороците на 21 век, Правилно држење на телото, Конзумирање здрава храна | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници<br>-Здравствени институции<br>-Родители | Во тек на годината | Подобрена здравствена состојба на децата |

Училишен тим: Мери Тодорова, Слободанка Басотова, , Билјана Теовска, Ана Ристовска

## *Програма за превенција од заразни болести*

| Задачи | Активности | Одговорни лица | Време на реализација | Задачи |
|---|---|---|---|---|
| -Креирање на политика<br>за превенција од заразни болести<br>-Формирање на училишен тим за превенција од заразни болести | -Формирање на училишен тим<br>-Изготвување на годишна програма за работа | -Училишен тим<br>-Директор<br>-Стручни соработници | Септември<br>Октомври | -Успешна реализација на планираните активности |
| -Градење правилни навики за здравствена заштита и здравствено образование | -Информирање за :<br>одржување лична хигиена, заразни болести ( грип, вошливост, сипаници, шарлах, жолтица, сексуално преносливи болести...) | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници<br>-Лекари епидемиолози | Во тек на учебната година | -Развиена свест кај учениците за потребата за заштита од заразни болести<br>-Самостојна грижа за сопственото здравје<br>-Формирани позитивни здравствено хигиенски навики |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Превземање мерки и едукација за намалување на факторите на ризик од заразни и инфективни болести | Стручни предавања, едукативни работилници и трибини | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници<br>-Здравствени институции<br>-Родители | Во тек на учебната година | Развиена свест за грижа за сопственото здравје |
| -Заштита на здравјето на децата | -Систематски прегледи<br>-Вакцинирање согласно календарот за имунизација<br>-Стручни предавања и трибини | -Одд. наставници и раководители<br>-Предметни наставници<br>-Здравствени институции<br>-Родители | Во тек на учебната година | Во тек на учебната година |

Училишен тим: Мери Тодорова, Слободанка Басотова, Виолета Радулова, Билјана Теовска, Анета Младеновска,

*Прилог 41*

## *Програма за јавна и културна дејност на училиштето*

Во нашето училиште се организираат разновидни општествено-образовни активности кои се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Активностите опфаќаат одбележување на поважни датуми, настани и воннаставни активности, а учество земаат учениците од I-IX одделение. Активностите се реализираат според годишната програма која ја изготвуваат одговорните наставници во соработка со директорот и стручната служба.
Секоја активност ја организира наставникот носител на активноста во соработка со наставниците и учениците согласно целта на активноста и возраста на учениците.

| Содржини | Цели | Носители на активности | Месец |
|---|---|---|---|
| Програма по повод првиот училиштен ден (прием на првачињата) | Правилен однос кон училиштето и другарството | -Детска организација | IX |
| Одбележување на 8-ми Септември -Ден на осамостојување на Р.Македонија | Позитивен однос кон празникот и негување на патриотски чувства | -Наставници и ученици од IVодд. -Тоше Трајковски | |
| Одбележување на 12-ти Септември -Денот на смртта на Стив Наумов | Почит кон хероите и историјата | -Наставници и ученици од IVодд. -М. Јанковска | |
| Одбележување на Меѓународниот ден на мирот-проект„Мировно образование“- Меѓаши | Развивање чувство за мирољубие и прифаќање и почитување на различноста | Билјана Теоава | |
| Одбележување на светскиот ден без автомобил | Развивање на свеста кај луѓето за зелените, еколошки транспортни решенија (јавен транспорт, пешачење, велосипедизам, итн.) | Виолета Радулова Марјан Трајковски | |
| Одбележување на Детска недела | Развивање чувство за солидарност | -Детска организација | X |
| Одбележување на Светскиот ден за заштита на животните(4.10) | Развивање и зајакнување на свеста за заштита на животните кои што се дел од нашиот свет | -Славица Стојаноска | |
| Одбележување на Светскиот ден на учителите | Развивање чувство на почит кон наставниците | -Олга Добревска -Наставници и ученици од IV одд. (членови на Детска организација) | |
| Свечена приредба за прием на првачињата во Детска организација | Правилен однос кон детето, запознавање со неговите права и должности | -Детска организација | |
| Одбележување на 11-ти Октомври | Чувство за самопочит, љубов кон историското минато | -Валентина Соколова | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на Светскиот ден на гладта( 16.10) | Развивање на свеста за правилно користење на храната како фактор за живот кои го добиваме од природата | -Билјана Теовска<br>-Ученички парламент | |
| Одбележување на 23-ти Октомври - Ден на македонската револуционерна борба | Чувство за самопочит, љубов кон историското минато | -Александр Каровски | |
| 25-ти - 29-ти Октомври Активности за одбележување на патрониот празник | Развивање чувство на почит и благодарност кон нашиот патрон | -Одделенски и предметни наставници заедно со учениците | |
| Одбележување на 3-ри Ноември - Ден на општината | Соработка со локалната самоуправа и почит кон истата | -Ученици од I до V одд.<br>Мери Тодоровска | XI |
| Одбележување на 13-ти Ноември -Денот на ослободување на Скопје | Почит кон борците за слобода и значењето на празникот | -Наставници и ученици од III одделение<br>-Членови на Детска организација | |
| 13.11.-Одбележување на Светскиот ден на добрината(љубезноста) | Употреба на „убавиот збор„ и љубезност при комуникација | Учениците од II и III одд.<br>Елена Боневска | |
| Одбележување на „Светскиот ден на детето“ | Љубов и почит кон децата | -Детска организација<br>-Ученички парламент | |
| 20 Декември ,,Меѓународен ден на човековата солидарност“ (Проект ,,Патека на хуманоста“) | Подигнување на јавната свест за важноста на солидарноста,<br><br>Промовирање на солидарноста | -Ученички правобранител, заменици,<br>-одговорни наставници, наставници по математика<br>-ученици | |
| 1.12. Меѓународен ден на борба против СИДА | Стекнување знаења за пренесување и заштита од болеста | Учениците од VIIIи IX одд.<br>Билјана Теовска | XII |
| 3.12 Меѓународен ден на лица со посебни потреби | Развивање чувство за хуманост | Билјана Теовска | |
| Одбележување на празникот „Св. Климент Охридски“ | Љубов и почит кон ликот и делото на Св.Климент Охридски | -Олга Добревска<br>-Детска организација | |
| Одбележување на Денот на раѓањето на Гоце Делчев | Љубов и почит кон ликот и делото на Гоце Делчев | -Тоше Трајковски | II |
| Одбележување на Денот на вљубените | Развивање и негување на љубовта | Благица Блажевска | |
| Одбележување на Први март - Денот на мартинките | Развивање креативност и творечка фантазија, соработка со локална самоуправа | -Ученици од одделенска и предметна настава<br>Руменка Дејанова | III |
| Одбележување на 8-ми Март | Љубов и почит кон мајката | -Магдалена Јаневска<br>-Ученици членови на Детска организација | |
| Одбележување на 17-ти Март Ден на Црвен Крст | Развивање чувство за хуманост | -Билјана Теовска | |
| 20.3-Меѓународен ден на франкофонијата | Развивање љубов кон францускиот јазик и култура | -Софија Петровска | |
| 20.3 Одбележување на меѓународниот ден на среќата | Развивање и негување на чувството на среќа | -Анетка Трајковска | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на Денот на пролетта | Развивање љубов кон природата и соработка со локалната самоуправа | -Гордана Мацкова<br>-Билјана Ристовска | |
| Активности од проектот „Интегрирање на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ - одбележување на Денот на екологијата | Заштита на животната средина | -Еколошко друштво<br>-Маја Питроповска | |
| Одбележување на Светскиот ден на театарот(27.3) | Развивање љубов кон театарската уметност | -Олга Добревска | |
| 22Март Ден на водата | Заштита на животната средина, водата | Наставници и ученици од III и II одд. | |
| Априлијада – Ден на шегата, организирање маскембал | Развивање креативност, творечка фанатазија, соработка со локалната самоуправа | -Детска организација | IV |
| Одбележување на светскиот Ден на здравјето и крводарителството | Чувство за правилен однос кон здравјето | -Билјана Теовска | |
| Одбележување на Недела на хигиенизација и недела на Црвениот крст | Чувство за правилен однос кон здравјето | -Билјана Теовска | |
| Одбележување на Денот на планетата Земја(22 Април) | Развивање љубов кон природата и заштита на животната средина | -Тања Гигова<br>-наставници и ученици | |
| Одбележување на 1-ви Мај - Меѓународен ден на трудот | Почит кон правата и слободата на живеење и развивање позитивен однос кон трудот | -Валентина Николовска | V |
| Одбележување на 4-ти Мај - Годишнина од смртта на Гоце Делчев | Љубов и почит кон ликот и делото на Гоце Делчев | -Тоше Трајковски<br>-Ученици од Детска организација | |
| Одбележување на 5-ти Мај- Денот на македонскиот јазик | Развивање чувство и градење почит кон мајчиниот јазик | -Олга Добреска | |
| Одбележување на 9-ти Мај –„Ден на Европа“, како и „Ден на победата над фашизмот“ | Градење на позитивен однос, бидејќи сме дел од Европа, и почит кон борците за слобода | -Александр Каровски | |
| Одбележување на 24-ти Мај - Денот на сесловенските просветители | Почит кон ликот и делото на браќата Кирил и Методиј | -Валентина Соколова<br>-Членови (ученици) на Детска организација | |
| 1 Јуни- Меѓународен ден на децата | Развивање чувство за солидарност | -Ивана С. Спасиќ | VI |
| Забава за одбележување на крајот на учебната година | Развој на другарството и социјализација на учениците | -Класните раководители | |

Одговорени наставници: Олга Добревска, Тања Гигова

*Прилог 42*

## *Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште*

| Активности | Докази | Носители | Заклучоци и препораки |
|---|---|---|---|
| Општи податоци за основното училиште | Документи, записници, процес на мерење | Директор,стручна служба | Континуирано да се следи точноста на податоците и евентуална промена во текот на годината |
| Податоци за условите за работа на основното училиште | Документи, записници, процес на мерење | Директор,стручна служба, наставници, библиотекар | Континуирано да се следи точноста на податоците и евентуална промена во текот на годината |
| Податоци за вработените и за учениците во основното училиште | Документи, записници | Директор , стручна служба,секретар | Континуирано да се следи точноста на податоците и евентуална промена заради отсуство или замена во текот на годината |
| Материјално-финансиско работење на основното училиште | Документи, записници | Директор, книговодител, секретар | Континуирано да се следи финансиската состојба на училиштето и правилниот распоред на средствата |
| Подрачја на промени, приоритети и цели | Документи, записници, протоколи за набљудување и опсервација | Директор, надзор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, комисии,локална самоуправа | Да се подобрат условите за работа, да се интензивира соработката со локалните институции |
| Организација на работата во училиштето | Документи, анкети, прашалници, интервјуа ,педагошка евиденција и документација | Директор, стручна служба, наставници, ученици, родители | Да се следи индивидуалниот напредок и постигањата на ученците од страна на сите наставници и стручни соработници од училиштето и да се поттикнува надареноста и умешноста на учениците за напредување во одредени наставни подрачја |
| Работа со ученици посебни образовни потреби | различни активности | Директор, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог | Да се следи континуирано секој успех на ученикот и активно вклучување на дефектологот во сите области каде што учениците имаат потешкотии |
| Воннаставни активности | Анкети, прашалници, списанија, интернет | Наставници, ученици, стручна служба | Зголемување на интерес кон на училишниот спорт, континуирано да се следат редовноста , ангажираноста, надареноста и талентот на учениците како и нивните постигања и резулатати |
| Вонучилишни активности | Документи | Директор, училишен одбор, комисии, агенции, тим за изработка на програма | Да се пројави и негува интересот на учениците за посета на вонучилишни активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Натпревари на учениците | План за ученички натпревари, тестови, спортски реквизити, пофалници, награди, дипломи | Актив на наставници, ученици, комисии, | Да се поттикнат учениците кон напредок и постигнување лични и екипни резултати |
| Мултикултурализам /интеркултурализам и меѓуетничка интеграција | Записници, документи, прашалници, протоколи, дискусии, интервјуа, посети | Директор, стручната служба, локална самоуправа, наставници, ученици, родители, партнерски училишта, | Развивање и применување на соодветни стратегии за унапредување на меѓуетничката интеграција Вклучување на училиштето во промената за меѓуетничко образование |
| Проекти што се реализираат во училиштето | Интернет-активности, ЦД касетофон, анкетни листови, алатки за пребрување, онлајн семинари, курсеви | Наставници, ученици, директор, библиотекар, | Континуирано да комуницираат, соработуваат, да учествуваат во проекти |
| Поддршка на учениците | Анкетни листови, прашалници, зписници, извештаи, работилници | Директор, педагог, психолог, стручни лица, ученици, родители | Подигање на свеста кај учениците од повеќе аспекти во насока на зголемување на нивните знаења и ставови |
| Оценување | Дијагностички тестови; анкетни листови; усни прашања подготвени од наставникот; пишување куси состави, усни презентации; писмени вежби; тестови; домашни работи; портфолио на ученикот, педагошка евиденција и документација, извештаи | Директор, наставници, ученици, тим за следење, стручни соработници | Подобрување на континуитетот и објективноста во оценувањето во рамките на училиштето користејќи план за следење и анализа на состојбите со оценувањето |
| Грижа за здравјето | Едукативни предавања Систематски прегледи | Учениците, родителите, наставниците ,локална заедница, здравствен дом | Подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница за значењето на здравата храна за здравјето |
| Училишна клима | Етички кодекси, работилници, дебати, состаноци, екскурзии | Учениците, родителите, наставниците,стручни соработниц | Подобрување на училишната дисциплина, уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето и училишниот двор, подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка |
| Професионален и кариерен развој на воспитно - образовниот кадар | Обуки, семинари,работилници, акциони планови, сертификати, брошури, флаери, плакети, извештаите , закони | Директор, наставници, советници, локална заедница, БРО | Континуирано усовршување и професионален развој на воспитно-образовниот кадар |
| Соработка со родители/старатели | Натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции, идејни планови, | Директор, родители, наставници,стручни соработници, училишниот | Редовна соработка со родителите/старатели при имплементирање на активностите во училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | отворен ден за прием, советодавно-консултативни работилници, индивидуални средби, посета на семејства, флаери, плакети,брошури, обуки | одбор, учениците | |
| Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште | Состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании , собири и здружувања, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, | МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование локална самоуправа, бизнис заедница, месно население, актив на директори на ниво на општина, други основни и средни училишта, невладини организации, осигурителни компании | Подобро информирање на јавноста и промоција на работата на училиштето, промовирање на постигнати резултати од различен вид, промовирње на проектни активности, комуникација со медиуми |

Училишниот одбор на Општинско Основното училиште „ Стив Наумов “ Скопје на седницата одржана на ден 13.07.2023 година ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште
СТИВ НАУМОВ
Бр. 02-267/4
13.07. 2023 год.
Скопје, Општина Гази Баба

# О Д Л У К А

Член 1

1. Се усвојува едногласно предлог Годишната програма за работата на ООУ „ Стив Наумов “ за учебната 2023/2024 година

Член 2

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето

УЧИЛИШЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ

/ Шенај И.Кутај /

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Александра Петковска Анастасов

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за работа на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за работа на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, предложена од училишниот одбор со одлука бр.02-49/49 од 26.07.2023 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор.

**Член 3**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за работа на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година и Програмата за работа на ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

| Училишен/ меѓуодделенски | Општество Природни науки | Второ полугодие | Одд. наставници | Ученици од 2 одделение |
| Училишен/ меѓуодделенски | Математика Спорт Македонски | септември-јуни | Одделенски наставници | Ученици од 3 одделение |
| Интернацион | Ликовно | септември- | Одделенски | Ученици од 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ален (детска ликовна изложба) | образование | јуни | наставници | одделение |
| Општински | Шах | | Општина Гази Баба | Ученици од 3 одделение |

Право на учество имаат сите ученици кои покажуваат голем интерес кон одредена област и секако постигнуваат солидни резултати во истата.

**Процедурата за пријава и учество е следната:**

1.Проследување на дописот од акредитираните здруженија до соодветните наставници и до учениците од страна на стручната служба( преку соопштенија, маилови и истакнување на огласната табла).
2.Пријавување на учениците кај соодветните наставници.
3. Организирање на додатна настава и подготовка на учениците кои пријавиле интерес за натпреварите.
4.Организација на наставниците и учениците за денот на натпреварувањето( транспорт, согласности, ужина...)
5.Доставување на извештај до стручната служба за учеството на натпреварот и освоените награди.
6.Истакнување на успехот на учениците и оодавање на признание на огласната табла и веб страната на училиштето.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието кој е проект на УСАИД во Македонија, а го спроведува МЦГО. Обуката беше подготвена од Центарот за човекови права и разрешување конфликти како партнер во организација. Со учениците ќе се реализираат активности со цел внесување на промени за подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието.

Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето.

Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирањена културното наследство меѓу училиштата преку взаемни посети на културни и образовни манифестации,празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата,размена на културните и верските, како и образовните вредности.

Покрај запознавањето на различните етникуми во нашата држава , учениците , нивните родители, и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајки свој продонес и учество.
Нашето партнер училиште е ООУ,,25 Мај “.

**Членови на МИО тимот со мандат од 3 години се следниве :**
1.Александра Петковска Атанасов-директор
2. Катерина Натева Теова-психолог
3.Тоше Столески-предметен наставник
4.Дарко Ангелов- предметен наставник
5. Валентина Славковска- одделенски наставник
6. Претседател на Ученички парламент
7.Ученик правобранител

Табела во прилог

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

**Еко проект- Еколошка интеграција во образованието**

**ГОДИШЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕКО-УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНА 2023-24**

| Активност/акција | Опис на активноста/акцијата | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на Еко-одбор | Контакти со потенцијални членови Состаноци | јули | Тимот за еко одбор | Човечки Технички: компјутер, хартија, печатар | Остварена комуникација меѓу членовите на одборот | Тимот за еко одбор |
| Анализа на состојбата на училиштето и околината | Осмислување и изработка на план за работа | јули | Тимот за еко одбор | Човечки Технички: компјутер, хартија, печатар, дигитален апарат | Изработена еко програма | Тимот за еко одбор |
| Ден без автомобили“ 22 Септември „Меѓународен ден без автомобили“, | Прошетка на ученицит е низ околината и Парк Шума ,,Гази Баба,, | Септември | Тимот за еко одбор | ЕКО пораки, ЕКО табли | Подигање на еко свеста на учениците | Тимот за еко одбор |
| Уреден и еколошки чист | Прошетка на ученицит | Октомври | Тимот за еко одбор | ЕКО пораки, ЕКО табли | Подигање на свеста за заштита | Тимот за еко одбор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| двор 15 Октомври „Меѓународен ден на пешачите“ | е низ околината и Парк Шума ,,Гази Баба,, | | | | на животната средина | |
| Меѓународен ден на храната“. . 16 Октомври | Кампања: „Здрава храна – за детство без мана“ | Октомври | Тимот за еко одбор | Човечки Технички: компјутер, хартија, печатар, дигитален апарат,здрава храна | Подигање на свеста за здрава исхрана и здрав живот | Тимот за еко одбор |
| Садење на садници во дворот | садење на садници | ноември | Тимот за еко одбор | Цвеќиња,дрва,земја,алатки за работа | Уреден двор со садници | Тимот за еко одбор |
| Рециклирај, реупотреби, редуцирај | Новогодишни украси од Еко - материјал | декември | Тимот за еко одбор, ученици, наставници | Хартија,украси,светки,лепак,ножички итн. | Новогодишно украсени училници | Тимот за еко одбор |
| Одбележување на Св. Трифун - „Ден на лозарството“ 14 Февруари | Осмислување и изработка на лого, маици,брошура и бецови | февруари | Тимот за еко одбор, ученици, наставници | Човечки Технички: компјутер, хартија, печатар | Стекнување на работни навики | Тимот за еко одбор |
| 5 Март - Светски ден на заштеда на енергија | Кампања - „Ајде да заштедиме енергија“ | март | Тимот за еко одбор, ученици, наставници | Човечки Технички: компјутер, хартија, печатар Канти Вреќи за пластика за рециклирање | Подигање на свеста за одгледување на дрвата | Тимот за еко одбор |
| 21 Март - | Уредува | март | Тимот за еко | Канти | Стекнувањ | Тимот за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ден на екологија | ње и чистење на училишен двор и училници | | одбор, ученици, наставници | Вреќи за пластика за рециклирање Алатки за работа | е навика за одржување на хигиена и чистота | еко одбор |
| Ден на здравјето 7 Април | Кампања „Светски ден на здравјето“ | април | Тимот за еко одбор, ученици, наставници | Брошури за здрава исхрана,постери | Подигање на свеста за здравиот начин на живот, физичката активност и здравјето на учениците | Тимот за еко одбор |
| 22 Април: Светски ден на планетата Земја | Изработка на постери,картички,презентации и предавања | април | Тимот за еко одбор, ученици, наставници | Лцд проектор,компјутер,хамер,лепак, ножички итн | Обележан ден на планета земја Подигање на еко свет | Тимот за еко одбор |
| Чистење и уредување на определени локалитети во Парк шума „Гази Баба - Чистење и уредување на дворот | Уредување и чистење на училишен двор и локални места | мај | Тимот за еко одбор, ученици, наставници | Канти Вреќи за пластика за рециклирање Алатки за работа | Подигање на Еко свеста | Тимот за еко одбор |

# „НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА“

**Одговорни** наставници, Љубинка Стоименова, Христина Јанева
-Тереза Блажевска– координатор

**ЕКО-МОТО**

# МИСЛИ ГЛОБАЛНО-ДЕЈСТВУВАЈ ЛОКАЛНО

**ВИЗИЈА:ДА ЈА РАЗВИЕМЕ НАШАТА ЕКОЛОШКА СВЕСТ НА ВИСОКО НИВО И ДА ГО НАПРАВИМЕ СЕКОЈ ДЕН *„ДЕН НА ЗЕМЈАТА„***

**МИСИЈА:ИНФОРМИРАМЕ, ПЛАНИРАМЕ И ДЕЈСТВУВАМЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАШАТА ЕКО ИДНИНА**

**Еко-дрво**

**Еко-лого**

**Еко-флаери**

иште
Прличев
а - Скопје
Do you know that you have to:
Recycle & Reduce
Environment
Save water
Put Litter in the bin
Energy Conservation
Clean up
Turn it off
Green - That's how we want the world to be!
Make everyday - earthday.
Plant a tree.
It's your school...help keep it clean.
Think green, think about your own life.
Еко Учил
О.У. Григор
Железар
Еко кодекс:
- во природата не оставај ништо освен трагите на своите стапала
- да го рециклираме отпадот значи да ја чуваме природата
Визија: Да ја развиеме нашата еколошка свест на високо ниво и да го направиме секој ден „Ден на Земјата".
Мисија: Информираме, планираме и дејствуваме за подобрување на нашата еко иднина.
Активности:
- поставување на корпи за отпадоци, пластика, хартија.
- заштеда на вода и струја
Цели:
- да се подигне еколошката свест кај учениците, вработените и локалното население.
- да се создадат еколошки навики.
Позелено - поздраво
Допуштете и на земјата да дише, не ја гушете со отпад.

# ЕКО-КОДЕКС

1. Не ја загадувај природата
2. Фрлај отпадоци во соодветно обележани места или канти.
3. Рециклирај (хартија, конзерви, пластика)
4. Не ја загадувај водата.
5. Штеди вода
6. Штеди електрична енергија

## ПРОЕКТ,, ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ“

Како проект наложен од страна на МОН се воведе ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, и истиот пројави голем интерест кај родителите за нивно активно вклучување во наставните активности.Имено на првата родителска средба одделенските раководители делат табели на кои родителите по сопствен избор наведуваат работилница, предавење или друга активност која ќе ја реализираат во текот на учебната година. На истиот начин и оваа учебна година ќе продолжиме со реализација на проектот.

По реализација на секоја заедничка активност одделенски раководители доставуваат извештаи со кус опис и фотографии до стручната служба.



## 15.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Стручните соработници во нашето училиште водат редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција ќе се води и поодделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето.

Постигањата на учениците по предмети и области ќе се анализираат континуирано и ќе се прави евалуација по секој класификационен период. Резултатите ќе се презентираат на Наставнички совет и ќе се одредуваат активности за надминување на слабите страни. Ќе биде поставено пано во главниот училишен хол на кое континуирано по квартали ќе се истакнуваат успесите на учениците како и постигањата по квартали, а истото ќе се промовира и преку разгласот. За учениците со потешкотии во учењето се планираат советодавни разговори кои ќе ги вршат стручните соработникци и ќе ги упатуваат на користење на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Идентификуваните надарени ученици преку додатната настава ќе им се овозможи да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да се мотивираат да учествуваат на натпревари. На учениците ќе им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокатa општествена јавност како на пр. учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и сл.

## 15.1 Постигнувањата на учениците

Крајот на учебната 2022-2023 година учениците го постигнаа следнит успех:



## Просек по паралелки на крајот од учебната 2022/2023

## *Ранг листа по предмети

1. ***Ранг листа по предмети во одделенска настава IV-V одделение***




2. ***Ранг листа по предмети во предметна настава VI-IX одделение***

## ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

| Конкретни цели | Конкретни активности | Одговорни | Очекувани резултати | Тим за евалуација |
|---|---|---|---|---|
| **Да се дефинираат улогите** | **Формирање на тим за следење на постигнувањата на учниците** | Педагог,психолог | Функционален тим | **Директор и стручна служба** |
| **Да се направи распределба на писмената проверка** | **Изработка на план за писмено оценување** | наставници стручна служба | Правилна распределба на писмени проверки, намален стрес и поголем успех кај учениците | **Директор и стручна служба** |
| **Да се следи оценувањето на учениците преку секојдневата настава** | **Посета на часови и увид во дневните планирања** | директор стручна служба | Објективност и транспарентност вооценувањето | **Директор и стручна служба** |
| **Да се следи успехот на учениците** | **Изработка на квартални извештаи ( по пол, предмети,национален состав, ранг листа на предмети)** | Наставници, стручна служба | Увид во постигнувњата, детекција на осцилации и навремена интервенција | **Директор и стручна служба** |
| **Детекција на ученици кај кои има намалување на успехот** | **Компараивни анализи при премин од одделенска во предметна настава** | Стручна служба | Да се откријат причините и истите да се надминат | **Директор и стручна служба** |
| **Да научат како полесно да учат и да стекнат потрајни знаења** | **Реазлизација на работилница ,,Техники на успешно учење“** | **Стручна служба** | **Подобрен успех на учениците** | **Директор и стручна служба** |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

| Планирана активност | Цел | Време на реализација | Реализатори | Планирана активност | Цел |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање на учениците за потребата и значењето на професионалната ориентација | Информирани ученици | Септември-октомври | Психолог Педагог Одделенски раководители Ученици | Информирање на учениците за потребата и значењето на професионалната ориентација | Информирани ученици |
| Информирање на учениците за можноста и перспективите на професиите и мрежата на средните училишта (разгледување на конкурсот | Стекнување на поголема информираност за професиите, струките и застапеноста на струките во средните училишта како и потребните услови за запишување во истите | март | Психолог Педагог Одделенски раководители Ученици | Разгледување на конкурсот на јавните средни училишта на Град Скопје и запознавање со училиштата, условите и документите за запишување, како и одредување на бодовите | Развивање на свесност кај учениците за сопствените интереси и условите за запишување во средно училиште |
| Испитување на информираноста и интересите на учениците за поматамошно образование (спроведување на анкета) | Стекнување на сознанија за информираноста и интересите на учениците за професиите и понатамошното образование | Март-април | Психолог, Педагог, Ученици | Спроведување на анкета за професионална ориентација и анализа на истата | Давање насоки и информации на учениците во врска со понатамошното образование |
| Психолошки тестирања (примена на тест за општи интелектуални способности-Тифин, прашалник за самопроцена на професионални интереси, прашалник за самопроцена на специфични способности) | Да се добијат податоци за интересите и способностите на учениците | Април-мај | Психолог, Ученици | Психолошки тестирања (примена на тест за општи интелектуални способности-Тифин, прашалник за самопроцена на професионални интереси, прашалник за самопроцена на специфични способности,) | Да се добијат податоци за најголемите интереси и најизразените способности на учениците |
| Информирање на учениците за постигнатите резултати | Информирани ученици за сопствените интереси и потенцијали | Април-мај | Психолог, Ученици, родители | Информирање на учениците за постигнатите резултати | Информирани ученици за сопствените интереси и потенцијали |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на презентации од средните училишта | Информирани ученици | Април-мај | Директор, Педагог, Психолог Одделенски раководители, Ученици, | Организирање на презентации од средните училишта | Информирани ученици |
| Изготвување и споделување информација за класните раководители во врска со уписот | Информирани ученици, родители | Април-мај | Психолог | Изготвување информација за класните раководители во врска со уписот | Информирани ученици,родители |
| Помош на учениците во пресметувањето на бодовите и можностите за конкурирање | Да се добијат точни информации за можностите за упис | Мај-јуни | Психолог, | Помош на учениците во пресметувањето на бодовите и можностите за конкурирање | Да се добијат точни информации за можностите за упис |
| Истакнување на огласна табла потребни информации околу запишувањето во средно училиште | Информирани ученици | јуни | Психолог, | Истакнување на огласна табла потребни информации околу запишувањето во средно училиште | Информирани ученици |

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Нашето училиште реализира и превентивни програми кои имаат за цел да се даде поддршка и помош на учениците кои се соочуваат со емоционални потешкотии, асоцијално однесување како и програма за заштита од болестите на зависност.

Целта на овие програми е прво да се **идентификуваат учениците** кои имаат некаков прблем, да се работи со нив и да им се дава континуирана поддршка и помош вклучувајќи ги наставниците и родителите а секако предводени од страна на стручната служба. Потоа целта на овие програми е и да се **запознаат учениците** со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци, советодавно да се работи со учениците и да се тежнее кон подобрување на нивното психо-физичко здравје.

***<u>Превентивни програми:</u>***

- **Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии**
- **Болести на зависност**
- **Асоцијално однесување**

***Работилници:***

- Запознавање на учениците со штетните последици од употребата на наркотични средства
- ,, Алкохолизам и последици од неговото конзумирање„
- Проследување на презентација на тема: ,, Болести на зависност - ,,Кажи не за дрогата“
- Болести на зависност - ,,Кажи не за пушењето“
- Емоционални потешкотии кај учениците
- Ментално здравје
- Самодоверба
- Едукативни работилници за запознавање на учениците и наставниците со видовите дроги, нивни дејства, како и штетните последици од нивна употреба
- Заштита од трговија со деца

***Постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва***

Секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинство.

Забрането е телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него.

Во законот, исто така, се уредува и прашањето за спречување насилство врз учениците.

1. Доколку било кој вработен во училиштето забележи дека некој ученик е жртва на било какво облик на насилство треба веднаш да пријави на одделенскиот раководител.
2. Одделенскиот раководител врз основа на тежината на проблематиката пријавува до стручната служба, директорот, родителите/старателите.
3. Стручната служба заедно со одделенскиот раководител и директорот прават детален план за понатамошна постапка.
4. Советодавно се работи со ученикот жртва од страна на стручната служба и одделенскиот раководител.
5. Советодавно и во облик на работилници се работи со целото одделение или група на ученици.
6. Советодавно се работи и со родителите/старателите.
7. Директорот на училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон.
8. Во континуитет се следи однесувањето и успехот на ученикот-жртва.

## 16. Оценување

### 16.1 Видови на оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за девет годишно образование учениците ќе се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I - III одделение се оценуваат со описни оценки (со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето)
- Учениците кои се опфатени во вториот период IV- VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. Првите три квартали се оценуваат со описни оцени, додека на крајот од учебната година се оценуваат со бројчани оцени.
- Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

Секој наставник ќе води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во пофесионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел, начините со кои ќе се оценуваат учениците се разновидни и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

### • 16.2 *Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог, педагог и дефектолог.

Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици.

Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

## 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

**План за посета на часовите и воннаставните активности**

| Активност | Носители на активност | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето за посета на часови | Директор Стручни соработници -Наставници | Распоред на часови - Стручни материјали - Извештај од посетени часови | Прашалник за наставниците | Септември | поквалитет на настава |
| -Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови -Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на часови | -Директор - Стручни соработници | - Годишни и тематски планирања на наставниците -Дневни подготовки на наставниците | -Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците од одделенска и предметна настава - Инструменти за посета на реализацијата на часот за одделенска и предметна настава | Во тек на годината | - Подобар квалитет при реализација на часот - современи приоди во наставата |
| Евалуација | -Директор - Стручни соработници -Наставници | -Програми и подготовки на наставниците | -Извештај од посетата на часовите -користени инструменти од посетите на наставата | Мај-јуни | - подобрување на квалитетот на реализацијата на наставата |

## 16.4 Самоевалуација на училиштето

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.
Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е отклонување на слабите страни преку одредување на приоритети за работа и одржување на јаките страни. Последната самоевалуација во нашето училиште се спроведе во текот на учебната 2022-2023 година а се однесуваше за периодот од 2021 до 2023 година.

## 17. Безбедност во училиштето

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Постојат пропишани мерки и активности за безбедност на учениците. Родителите и учениците се запознаваат со куќниот ред, примарна заштита и безбедост ќе се обезбедува преку поставување на дежурни ученици и наставници. Поставени се безбедносни камери и алармен систем. Се планира најголем број на учениците да се осигураат. Ќе се врши редовно одржување и сервисирање на ПП- апаратите и истите се поставени на видливо место. Низ училиштето се поставни шеми за евакуација во случај на елемнтарна непогода или пожар.

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/ресурси** | **Методи и постапки** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за планирање*** | Јули | Тим за заштита и спасување | Стручна литература, скица | Консултации | Успешна реализација и размена на искуства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Запознавање на вработените за активностите на тимовите*** | август<br>септември | Тим за заштита и спасување | Материјали за програмата за активностите | Консултации | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| ***Запознавање на учениците на одделенските часови со ситуации при кои е потребна заштита и спасување*** | септември | Тим за заштита одд.наставн. Класни раководители | Акционен План Брошури Презентација | Разговор презентација | Учениците се запознаени со ситуации при кои е потребна заштита и спасување |
| ***Тестирање на ѕвоно, аларм за евакуација*** | Септември | Тим за заштита и спасување | Училишно ѕвоно, систем за набљудување (камери) | Демонстрација | Препознавање на знак -да се утврди вистински сигнал за означување на опасност и |
| ***Симулација на вежбовна активност и евакуација-предметна настава*** | октомври | Тим за планирање вработени и ученици | Аларм за евакуација, план на училиштето | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| ***Симулација на вежбовна активност и евакуација-одделенска настава*** | Ноември | Тим за заштита и спасување вработ | Аларм за евакуација, план на училиштето | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| ***Обновување на материјалите за прва медицинска помош*** | континуирано | Тим за заштита и спасување | Средства за прва помош (санитетски материјал) | Увид во состојбата, набавка | Правилно и навремено реагирање во случај на Незгода |
| ***Организирање на стручни предавања*** | Во текот на годината | Стручни лица | -стручни предавања | | Успешна реализација |
| ***Евалуација на спроведените активности*** | Крајот на првото полугодие крај на година | Тим за заштита и спасување | Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди | Консултации, стручни активи, записници | Реализирање на програмата и активностите за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Да се согледаат позитивните и негативните страни*** | мај | Тим од наставници | Записници | Разговор | Се усвојуваат мерките и предлозите за понатамошна |

**Тим:** Христијан Христовски ,Ленка Пешевска, Марија Костовска

## 18.Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

Наша основна цел е училиштето да биде здрава и безбедна околина за учениците и вработените, а тоа подразбира и хигиената во училиштето да биде на највисоко ниво. Покрај вработениот персонал, за хигиената во училиштето се грижат и учениците и вработените. Континуирано се набавуваат средства за хигиена, корпи за отпадоци и друго. Дежурните наставници, дежурните ученици, домаќинот и училишните хигиеничари секојдневно ја следат состојбата со хигиената во училиштето.
Бариери за дезифенција се поставени на сите училишни влезови и во сите училници и канцеларии.Едукативни постери и материјали има секаде низ училиштето а се со цел превентивно да делуваме и спречиме ширење на заразни болести.

Еко – патролите имаат обврска да алармираат за непосакувани состојби поврзани со хигиената. Оние што ја нарушуваат хигиената во училиштето се опоменуваат и санкционираат.

Учениците од Еко-секцијата во програмата имаат предвидено активности поврзани со одржување на хигиената во училиштето.

### 18.2. Систематски прегледи- План за систематски прегледи

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците согласност планот на Здравствениот дом – Автокоманда. Каледарот на систематските прегледи редовно се проследува до училиштето преку соработка на здравствениот дом со стручната служба, која понатаму ги проследува информациите до одделенските раководители, учениците и родителите. Истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата.

| Активност | Одд | Реализатор | Постигнати цели | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Закажување и организација на термини | I-IX | Стручна служба,наставници,мед. тим | Навремено проследување на информации | континуирано |
| Систематски прегледи и ревакцинација MRP | I | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител, родител | -следење на психо-физички развој -навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| PPD и вакцина BSG | II | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| ревакцина DT и POLIO | II | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| Систематски преглед | III | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | -следење на психо-физички развој -навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| Систематски преглед | III | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | -следење на психо-физички развој -навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| Систематски преглед и вакцинација за девојчиња HPV(Idosis) | VII | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | -следење на психо-физички развој -навремена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| PPD и вакцина BSG | VIII | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| Изготвување на полугодишен и годишен извештај | / | стручна служба | уредно водење на документација | јануари,јуни |

## 18.3.Вакцинирање

## 18.4.Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

| Ред. број | Активност | Одд | Реализатор | Постигнати цели | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Закажување и организација на термини | I-IX | Стручна служба,наставници,мед.тим | Навремено проследување на информации | континуирано |
| 2. | Систематски прегледи и ревакцинација MRP | I | Лекари од Поликлиника Ченто - одд.раководител, родител | -следење на психо-физички развој -навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| 3. | PPD и вакцина BSG | II | Лекари од Поликлиника Ченто - одд.раководител | навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| 4. | ревакцина DT и POLIO | II | Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител | навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| 5. | Систематски преглед | III | Лекари од Поликлиника Ченто - одд.раководител | -следење на психо-физички развој -навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |
| 6. | Систематски преглед | III | Лекари од Поликлиника Ченто - одд.раководител | -следење на психо-физички развој -навремемена имунизација | според календарот на Поликлиника |

Оваа учебна година посебен акцент ќе се стави и на грижата за здравата исхрана. Имено и еден од приоритетите на работа се однесува толму на оваа тема. Во училиштето ќе се организираат низа на активности за подигање на свеста кај учениците за здравата исхрана. Главна цел е учениците да научат да ја избегнуваат нездравата храна и да се борат против нездравите животни навики. Едукативните предавања во училиштето ќе ги реализираат одделенски раководители преку организација на најразлични дискусии, дебати и работилници а акцент ќе се стави и на вклучување на родителите.

Училиштето ја продолжува праксата за активности (како изработка на плакати, пишување поезија, цртање и сл). Како една од активностите која успешно се спроведува и ќе продолжи да се спроведува и во иднина е воведувањето и користење на здрава храна во училишната кујна. Појадокот најчесто ќе биде интегрална храна а повеќето десерти ќе ги замениме со сезонско овошје.

Табела во прилог

## 19.Училишна клима

### 19.1 Дисципина

Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи. Во училиштето постои добра организација на воспитно – образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво.

Дисциплина – За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на

правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

***Критериуми за успех*** – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците,
***Инструменти*** – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници,
***Индикатор за успешност*** – намален број советувања на ученици и родители,
***Одговорен за следење*** – директор, одделенски раководители, стручни соработници,
***Повратна информација*** – -подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата - почитување на правилата на однесување во училиштето - намален број на изречени педагошки мерки за учениците - намален број на повикани родители на советување - одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

Во нашето училиште, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент.
Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат **следниве активности:**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на однесување | Септември 2023 | Стручна служба, одд. и пред. наст. | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвување распоред на дежурни | На почетокот од учебната година | Одделенски и предметни | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| наставници | | наставници | | | почитување на распоредот на дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник | Континуирано | Класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни ученици |
| Определување дежурни ученици по паралелки | Континуирано | Класни раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Позитивна училишна клима |
| Давање насоки за однесувањето во тоалетите | Во текот на целата учебна година | Наставници | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| Соработка со Агенција за обезбедување | Во текот на целата учебна година | Директор | Кодекс на училиштето | Состаноци и дого-вор со аген.за обезбедување | Позитивна училишна клима |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | Континуирано | Дежурни наставници и ученици | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

## 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското и хортикултурното уредување на

просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор ќе биде постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени. Функционалното уредување на училницата, украсувањето со слики, цвеќиња и ученички трудови е активност на секој одделенски колектив. Континуирано ќе се уредуваат паноата во ходниците според мотиви од годишните времиња, поголемите празници и мултикултуризмот, каде што се изложуваат најдобрите ученички творби. Естетското уредување на ѕидовите во ходниците, одржувањето и обновувањето на ликовните творби е задача на ликовната секција и наставникот како иницијатори, инструктор на учениците.За реализирање на оваа активност училиштето обезбеди паноа во секоја училница. Посебно внимание се обрнува на естетското и хортикултурното уредување на училишниот двор. Патеките до училишната зграда, училишниот двор и спортските терени постојано ќе се одржуваат од страна на техничкиот персонал, родителите, учениците и останатите вработените. Покрај тоа, уредувањето на училишниот двор ќе се врши со непосредно учество на учениците од ЕКО секција (садење на насади–цвеќиња, дрвца, трева, зеленило и нивно одржување). За доживувањето да биде потполно и сите ученици и вработени да се чувствуваат пријатно, ќе се погрижат одговорните наставници преку реализирање на програмата за работа на разгласот пуштајќи разновидна музика.

**Тим за естетско уредување:**

1.Јулија Н.Пешевска
2.Николета Нестор
3.Валентина Славковска
4.Христина Јанева

## 19.3. Етички кодекси

Во училиштето секогаш имало и има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките зае ите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.дници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат

## 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

„Потребата од ефективна комуникација е како потребата од чист воздух. Тогаш кога ви недостасува, се сфаќа колку е важна и значајна“. Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури

во училиштето се на високо ниво. Со цел да се унапреди активното слушање, протокот на информации и споделување на искуства во текот на годината се планираат заеднички состаноци -работилници, каде што ќе се предлагаат нови начини на комуницирање. Исто така се формира тим составен од сите структури ( директор, секретар, стручна служба , одговорен наставник за одделенска настава, одговорен наставник за предметна настава и домаќин ).

За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа. Тоа значи да се разберат и прифатат нивните потреби, интереси, верувања и очекувања од една страна,но и нивниот карактер, нивните лични особини и ставови. Суштината на успехот и квалитетната комуникација е во тоа комуникаторите да се почувствуваат почитувани и важни.
За подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка, училиштето планира реализација на заеднички прослави, екскурзии, посети, коктели и други активности надвор од наставниот процес.
Службената комуникација се одвива преку е маил, состаноци, формални и неформални средби како и преку платформата Microsof Teams.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Во интерес на професионалниот развој на вработените во нашето училиште по препорака од БРО започна со низа на активности. Секој наставник до 10 септември прави лична самопроцена и анализа врз основа на која изработуваат Личен план за професионален развој. Истиот го предава на училишниот тим за Професионален развој. Врз основа на личните планови подоцна на ниво на активи се изработуваат заеднички програми за професионален развој во кои како приоритетни компетенции се земаа оние кои се најслабо развиени а воедно и се најчесто застапени кај наставниците.Врз основа на тие планирања Тимот за професионален развој на училиштето во состав на директор, стручна служба и претседателите на активите треба да изготват Годишна програма за професионален развој на наставнците. До 30 јуни делот за реализација на професионалниот равзој исто така требе да се предаде на училишниот тим.

## 20.2 Активности за професионален развој

**Критериуми за успех** – подобрување на постигањата на учениците и унапредување на наставата со нови форми, методи, стратегии и техники на учење и поучување.
**Инструменти** – извештаи од одржани семинари, статистички извештаи од завршени квалификациони периоди и записници од посетени часови,
***Индикатор за успешност*** –зголемени постигања кај учениците, поголем среден успех на ниво на училиште,
***Одговорен за следење*** – директор, стручни соработници, одговорни наставници,
***Повратна информација*** – податоци во професионалните досиеја на наставниците, подобрување на наставната практика и подобрување на учењето и поучувањето, создадена стимулативна средина за професионален развој на наставниците, примена на новите знаења и вештини стекнати на обуки во наставната пракса -создавање на систем на континуиран професионален развој и менторство на наставниците.

## 20.3. Личен професионален развој

| Р.бр | Компетенции | Активности | Ресурси | Време на реализација | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Подобрување во реализација на наставната содржина | Учество во семинари | Средства за обуки, работилници соработка со стручни лица | По потреба и можност | Подобар постигнат успех кај учениците |
| 2 | Стручно усовршување | Учество во семинари и соработка со стручни активи | Стручна литература, прирачници, насоки, соработка со БРО-советник | По потреба и можност | Подобра реализација на наставните содржини и подобар стручен развој |
| 3. | Подобрување на квалитетот на наставата | Обуки, работилници консултации со стручни лица | Стручна литература, прирачници, насоки, соработка со БРО-советник, соработка на ниво на актив и стручна служба | По потреба и можност | Подобра реализација на наставните содржини и постигнување подобар стручен развој |
| | Подобрување на | -Обуки за | стручни предавачи од | По потреба | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | реализацијата на квалитетот на наставата | работа со едуактивни и електронски платформи;<br>- Обука за различни современи приоди во он-лајн наставата;<br>- Дисеминации од посетени обуки, нагледни часови, стручни предавања, стручни советувања (интерни работилници, предавања во од училиштето) | соодветната област<br>*предавачи со искуство за работа со едукативни платформи<br>-интернет<br>-компјутер<br>-стручен актив на одделенска и предметна настава<br>-средства за обука | | |
| **4.** | Реализирање на наставни содржини за ученици со пречки во развојот | Следење на разни семинари, соработка со стручната служба | Средства за обуки, работилници соработка со стручни лица | По потреба и можност | Остварување успех во реализацијата на вакви наставни содржини доколку се јави потреба |
| **5** | -Обуки за работа со едуактивни електронски платформи;<br>- Обука за различни современи приоди во он-лајн наставата; | стручни предавачи од соодветната област<br>*предавачи со искуство за работа со едукативни платформи | стручни предавачи од соодветната област<br>-предавачи со искуство за работа со едукативни платформи<br>-интернет<br>-компјутер<br>-стручен актив на одделенска и предметна | Зајакнување на капацитетот на наставникот за работа со едукативни платформи (техничка работа со програмата, воспоставување контакт | Подобрување на квалитетот на е-наставата, подобрување на комунукацијатаи изголемувањена интеракцијата меѓу ученик и наставник во е-наставата, подобрување на квалитетот на стекнатите знаења и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | -интернет<br>-компјутер<br>-стручен актив на одделенска и предметна настава | настава | со ученици и родители преку платформата, креирање часови | зголемување на мотивацијата и интересот за е - настава. |

### 20.4 Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови.

### 20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот кадар во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалното усовршување на наставниците и стручните соработници се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓу училишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. За сопственото стручно усовршување наставникот,стручниот соработник прави личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Наставниците и стручните соработници во основните училишта може да напредуваат во звања и тоа наставник-ментор и наставник-советник како и стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Родителите се активно вклучени во животот и работата во училиштето преку најразлични форми на организација. Советот на родитетли на училиштето се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секое одделение кој

што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности:дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, расправа за извештајот за работа на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето.

Во текот на годината ќе се организираат **општи родителиски средби** (пет во годината), **отворени денови** (четири во годината) и **приемни денови** (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласна табла), индивидуални и групни родителиски средби за информирање на родителите за сите активности во училиштето,напредокот, постигањата и поведението на учениците.

Проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ наложен од страна на МОН појави голем интерест кај родителите и нивно активно вклучување во наставните активности. На истиот начин и оваа учебна година ќе продолжиме со реализација на проектот.

Информираноста на родителите се врши преку интернет (web страна на училиштето, web страна на општината, Е- дневник, затворени групи на социјалните мрежи), брошури и соопштенија. За тековните активности на видни места во училштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања и соопштенија.

## 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активност

Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор (со свои претставници), Советот на родители, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За поуспешна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Семејствата помагаат во прибирање и изработка на нагледни средства и помагала во процесот на учење. Во текот на учебната година родителите ќе бидат активно вклучени во наставниот процес преку најразлични работилници, активност, стручни предавања и дебати.

Родителите активно ќе учествуваат во организацијата и реализацијата на активностите како :

| Известувања за и од инспекциски надзор на училиштето | Тековно | Членови на Училишниот одбор |
| Посета на обуки и семинари за членовите на Училишниот одбор | Тековно | Членови на Училишниот одбор |
| Превземање на иницијативи за реализација на активности од важност за наставата, училиштето и локалната заедница | Тековно | Членови на Училишниот одбор |
| Спроведување на Заклучоци и Одлуки од страна на Советот на општина Гази Баба кои се однесуваат на работата на училиштето | Тековно | Членови на Училишниот одбор |
| Донесување на Одлуки за обезбедување на финансиски средства за семинари, обуки и патувања во и надвор од државата | Тековно | Членови на Училишниот одбор |

*Училишниот одбор одржува и други состаноци по потреба и решава прашања кои ќе произлезат во текот на годината, во рамките на своите законски овластувања.
*Седниците на УО, согласно препораките и условите за работа, ќе се одржуваат во затворени простории, канцеларии, односно по пат на електронска комуникација со користење на платформата ЗУМ, Microsoft Teams или друг вид на алатки за електронска комуникација.
*Со изготвување на анексот на програмата може да претрпи измени и составот на членовите на Училишниот одбор.

**Претседател на УО,**
**Костадин Андов**

# 7.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ
# за учебната 2023/24 год.

Согласно Законот за основно образование, Советот на родители на училиштето се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката. Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.

**Советот на родители:**

**- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,**
**- расправа за извештајот за работата на училиштето,**
**- предлага програми за подобрување на стандардите за наставата,**
**- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди,**
**- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа,**
**- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и**
**- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.**

## 7. Делување на Советот на родители

Советот делува во рамките на училиштето, соработува и со органите на локалната самоуправа, градот Скопје и други органи во државата. Главните активности на советот на родители се насочени кон **подобрување на квалитетот и работата во воспитно образовниот процес на учениците, подобрување на условите за работа во наставниот процес, следење на дисциплината за време на часовите и по нив , односот наставник- ученик-родител, со меѓусебна комуникација и информираност за тековните случувања и настани со вработените во училиштето**. Главна цел на работата на советот на родители а **заедно со наставниците и вработените во училиштето на нашите ученици да им создадеме непречени услови за нивно мирно, безгрижно и успешно школување во ова училиште , градење на другарството, самодовербата, почитување на еднаквоста, да создадеме вистински и здрави личности за понатамошните предизвици низ образованието, професијата, семејството и животот.** Во работата на Советот , родителите се должни да ги почитуваат основните одредби и членовите од статутот и правилникот на училиштето, да ја почитуваат и спроведуваат програмата за работа на советот на родители.

| Ред.бр | Содржини | Време за реализација | Учесници |
|---|---|---|---|
| 1 | • Конституирање на советот и презентирање на програмата за работа<br>• Избор на раководство и претставник во училишниот одбор<br>• Годишната програма за работа на училиштето, | Септември | Директор<br>Родители – избрани претседатели во секоја паралелка<br>Претставници од наставници од предметна и одделенска настава |
| 2 | • Изготвување анекс програма за работата на Советот на родители со конкретни актовности , време за реализација и одговорни родители и вработени. | Септември/ октомври | Директор<br>Родители<br>Претставници од наставници од предметна и одделенска настава |
| 3 | • Разгледување и анализа на реализацијата на наставниот план и програма, поведението и редовноста и постигнатиот успех на учениците | За секој квалификационен период (ноември, јануари, април,јуни) | Директор<br>Родители, Претставници од наставници од предметна и одделенска настава |
| 4 | • Работа во тимови по паралелки согласно годишната програма и анекс програмата за работа | Ноември/декември | Директор<br>Родители, Претставници од наставници од предметна и одделенска настава |
| 5 | • Организирање на спортски и други манифестации<br>• Традиционални манифестации: „ЕСЕН ВО ГАЗИ БАБА“ | Континуирано<br>Октомври и март/април | Директор<br>Родители<br>Претставници од наставници од предметна и одделенска настава |
| 6 | • Годишен извештај за работата на Советот на родители<br>• Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето | Јули/август | Директор<br>Родители<br>Претставници однаставници од предметна и одделенска настава |

- **Членови на советот на родители**

Списокот на членовите на советот на родители ќе бидат формирани согласно изборот на родителите од првата родителска средба

**Со изготвување на анексот на програмата може да претрпи измени и составот на членовите од советот на родители.*

## 8. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Наставничкиот совет при ООУ „Григор Прличев“ е стручен орган во училиштето. Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

Наставничкиот совет работи по своја програма.

| Реден број | СОДРЖИНА И АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| 1. | Дава мислења по предлогот годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година и го следи нејзиното извршување | Директор, стручни соработници, наставници | јули |
| 2. | Дава мислење за распределба на часовите меѓу наставниците | Директор, стручни соработници | јули-август |
| 3. | Давање на задолженија, предлагање членови за тимови, планирање и организирање на подготовките за почеток на учебната година | Директор, стручни соработници | август |
| 4. | Планирање и организирање на екскурзиите и посетите; | Директор, стручни соработници, наставници | во текот на годината |
| 5. | Определување ментор за наставници-приправници | Директор, стручни соработници, | септември |
| 6. | Организирање на подготовки и активности за „Есен во Гази Баба“ | Директор, стручни соработници, наставници | септември-октомври |
| 7. | Утврдување на дневниот ред на родителските средби и повратни информации од одржаните | Директор, стручни соработници, | септември, ноември, јануари, април, јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | родителски средби | наставници | |
| 8. | Разгледување на реализацијата на наставниот план и програма и презема мерки за нивно извршување, | Директор, стручни соработници, наставници | ноември, јануари, април, јуни |
| 9. | Разгледување и утврдување на редовноста и поведението на учениците | Директор, стручни соработници, наставници | ноември, јануари, април, јуни |
| 10. | Разгледување и утврдување на постигнатиот успех на учениците | Директор, стручни соработници, наставници | ноември, јануари, април, јуни |
| 11. | Изрекување пофалби за постигнатите успеси на учениците и нивните ментори | Директор, стручни соработници, наставници | во текот на годината |
| 12. | Одлучува за воспитни мерки | Директор, стручни соработници, наставници | тековно |
| 13. | Давање на повратни информации од спроведените инспекциски надзори | Директор, стручни соработници | тековно |
| 14. | Организирање воннаставни и општествено-корисни манифестации | Директор, стручни соработници, наставници | во текот на годината |
| 15. | Формирање на комисии | Директор, стручни соработници, наставници | во текот на годината |
| 16. | Дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето | Директор, стручни соработници, наставници | јануари |
| 17. | Претставување на Годишниот план за јавни набавки | Директор, | јануари |
| 18. | Разгледување на полугодишниот и годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки, | Директор, стручни соработници, наставници | јануари, јуни |
| 19. | Организирање на подготовки за одбележувањена | Директор, | март |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Патрониот празник на училиштето | стручни соработници,<br>одговорни наставници | |
| 20. | Донесување одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки | Директор,<br>стручни соработници,<br>наставници | во текот на годината |
| 21. | Расправа и одлуки по стручни прашања од ВОД | Директор,<br>стручни соработници,<br>наставници | во текот на годината |
| 22. | Други работи утврдени во Статутот на училиштето | Директор,<br>стручни соработници,<br>наставници | во текот на годината |

- Наставничкиот совет, освен планираните состаноци може да одржи состаноци кои ќе произлезат од тековните активности во училиштето.

**Записничар,** Благица Секуловска
**Заменик-записничар**, Татјана Силјановска-Гочкова

## 9.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ СОВЕТИ

Согласно Законот за основно образование Советот на **одделенските наставници** го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето. Советот на одделенските наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, за учениците кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Советот на **предметните наставници** го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници научилиштето. Советот на предметните наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Одделенскиот совет се состанува по потреба во текот на учебната година, а задолжително по еднаш во секој квалификационен период.

| Реден број | Активности | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|---|
| 1. | Анализа на реализација на наставниот план и програм по одделенија | На крајот од секој квалификационен период | Директор, стручни соработници, наставници |
| 2. | Анализа на редовноста и поведението на учениците | На крајот од секој квалификационен период | Директор, стручни соработници, наставници |
| 3. | Анализа на постигнатиот успех на учениците | На крајот од секој квалификационен период | Директор, стручни соработници, наставници |
| 4. | Предлози за изрекување на педагошки мерни и истакнување на солидни ученици и пофалба на истите | На крајот од секој квалификационен период | Директор, стручни соработници, наставници |
| 5. | Давање предлог мерки за подобрување | На крајот од секој квалификационен период | Директор, стручни соработници, наставници |

**Записничар**, Ангела Михајловска (одделенска настава)
**Записничар**,Елена Владева Апостолов (предметна настава)

## 10.ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ

### 10.1 ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА за учебната 2023/2024

Основна цел на стручниот актив е унапредување на воспитно-образовниот процес, перманентна грижа за стручно усовршување на наставниот кадар и грижа за напредокот на учениците. Активностите кои ќе ги преземе активот во оваа учебна година произлегуваат од зацртаните приоритети на ниво на училиште.

**Членови на активот на одделенска настава се следниве наставници и истите се одд.раководители на следниве паралелки:**

| Ред. број | Наставник | Предмет | Улога |
|---|---|---|---|
| **1.** | Николета Нестор | Одделенска настава-прво одделение | претседател |
| **2.** | Панорка Јовчевска | Одделенска настава –второ одделение | Записничар |
| **3.** | Славица Мојсоска | Одделенска настава –трето одделение | член |
| **4.** | Валентина Славковска | Одделенска настава –четврто одделение | член |
| **5.** | Ленка Пешевска | Одделенска настава-четврто одделение | член |
| **6.** | Христина Јанева | Одделенска настава-второ одделение | член |
| **7.** | Сузана Аксеновска Димовска | Одделенска настава –пето одделение | заменик претседател |
| **8.** | Ива Количев | Одделенска настава –пето одделение | член |
| **9.** | Сузана Танева | Одделенска настава –трето одделение | член |
| **10.** | Благица Секуловска | Одделенска настава –прво одделение | член |
| **11.** | Соња Мицевска-Тоточевска | Одделенска настава –продолжен престој | член |
| **12.** | Светлана Николовска | Одделенска настава-продолжен престој | член |
| **13.** | Драган Печевски | Одделенска настава –продолжен престој | член |

| | Тема | Цели | Ресурси | Реализатор | време |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Продлабочување на знаењата за изработка на самоевалуација | Да се продлабочи знаењата на наставниците за изработка на саоевалуација | Презентација | Валентина Славковска Благица Секуловска | Август 2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Дисеменација од обуката за Шах како слободна изборна активност од I до III одделение | Наставниците да се запознаат со програмата, да се оспособат за користење на апликацијата и реализација на часовите. | Апликација од Шаховска федерација на Македонија, лаптоп, проектор, смарт табла, интернет | Сузана Танева | Август-септември 2023 |
| 3 | Дисеминација од посетена обука Стратегии за менаџмент во училница | Запознавање со принципи и примери на добра практика за создавање позитивна атмосфера во училница и онлајн-виртуелна училница | Презентација | Славица Мојсоска | Октомври 2013 |
| 4 | Оценување на учениците со ПОП | Да се запознаат наставниците со начинот на оценување на ученици со ИОП и модифицирана програма | Презентација Правилник концепција | Марија Костовска | Ноември 2023 |
| | Работилница: ,,Скршено срце“ | Наставниците да се запознаат со работилницата и истата да ја применат и адаптираат со своите ученици | Презентација | Елена Т.Максимовска | Декември /јануари 2023/24 |
| | Во светот на детскиот цртеж | Да се запознаат со методот за проценка на личноста на детето | Презентација | Катерина Натева Теова | Февруари 2024 |
| 5 | Отворен час Множење и делење /множење двоцифрен број со двоцифрен број | -Да се оспособува да множи двоцифрен број со двоцифрен број;<br>-Да го разложува едниот од множителите како збир од два собирока;<br>-Да ги применува стекнатите знаења во секојдневниот | Учебник | Сузана А.Димовска<br><br>Ива Количев | Март 2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | живот. | | | |
| 6. | Современи методи и техники во наставата | Примена на современи методи и техники во реализација на наставни содржини | Работилница | Пандорка Јовчевска | Март/ 2024 |
| | Учење на далечина: Интернет-апликации и платформи за учење/ Kahoot | -Да се запознаат наставниците апликации и платформи за учење/ Kahoot. Елементите на играта можат да го поттикнат натпреварувачкиот дух кај учениците, а со тоа и да ги мотивираат повеќе да се посветат на наставната содржина. Тие можат да се користат и за подготовка на учениците за следните часови. | Презентација ,интернет ,компјутер | Христина Јанева | Април 2024 |
| 7. | Споделување искуства од планирање и реализирање на воспитно –образовниот процес во I и IV одд. според новата Концепција за основно образование | Запознавање со искуствата произлезени од промените во одвивањето на воспитно-образовната работа во I и IV одд., базирани на наставниот план и програма според новата Концепција за основно образование | материјали програми презентација | Николета Нестор /Ленка Пешевска | Мај 2024 |
| 8 | Работа со надарени ученици | Запознавање со видовите надареност кај учениците; начини за нивно навремено откривање; методолошки приод во работата со надарени деца и нивно усмерување и поддршка | Презентац ија | Светлана Николовска | Јуни |

**Забелешка :** Доколку има потреба оваа програма можно е да претрпи промени и дополнувања. Евентуалните промени ќе се извршат во соработка на активот со стручната служба на училиштето .

**Претседател на актив :Николета Нестор**
**Заменик: Сузана Аксеновска Димовска**
**Записничер : Пандорка Јовчевска**

## 10.2 ГОДИШНА ПРОГРАМА ОД СТРУЧЕН АКТИВ НА ЈАЗИЧНО - ОПШТЕСТВЕНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

### 1. Состав на стручниот актив

| Ред. Број | Наставник | Предмет | Улога |
|---|---|---|---|
| 1. | **Хилда Стефковска** | Англиски јазик | претседател |
| 2. | **Тереза Блажевска** | Германски јазик | записничар |
| 3. | **Фросина Димитровска** | Англиски јазик | член |
| 4. | **Елена Владева Апостолов** | Музичко образование | член |
| 5. | **Татјана Силјаноска Гочкова** | Македонски јазик | член |
| 6. | **Лорета Станковиќ** | Историја | член |
| 7. | **Елена Тасевска** | Македонски јазик | член |
| 8. | **Јулија Никовска Пешевска** | Ликовно образование | член |

### 2. Активности на стручниот актив во учебната 2023/24 година

| Ред. број | Тема | Цели | Ресурси | Исходи | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Избор на раководство и конституирање на активот | Избирање на раководство и конституирање на активот | Членовите на активот со нивните знаења и способенсти | Избрано раководство и конституиран актив | Сите членови | 30. VI 2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Дискусија, разгледување и изготвување на наставната програма и сценарио, според концепцијата за основно образование | Разработка на концепцијата и изработка на наставни програми според зададен модел | ЛЦД- проектор, компјутер, изготвена наставна програма и сценарио според концепцијата за основно образование | Изработка на наставни програми по зададен модел со сите потребни елементи | Хилда Стефковска | Септември |
| **3.** | Посета на Археолошки музеј –Тумба Маџари-работилница | Запознавање со неолитското село-Големата Мајка<br>-вајарските техники | Музејски поставки,репродукции,материјали за цртање и изработка на скулптура | Запознати со вајарските и цртачките техники<br>-Тумба Маџари<br>-Големата Мајка | Јулија Никовска Пешевска | Октомври |
| **4.** | Посета на НУБ Св.Кирил и Методиј | Проширување на видиците преку дискусија со претставници од Националната универзитетска библиотека за меѓубиблиотечна соработка | Националната универзитетска библиотека за меѓубиблиотечна соработка со нејзините нагледни средства | Да се стекнат нови знаења , како и да се про | Елена Тасевска | Второ полугодие во учебната 2023 |
| **5.** | Дисеминација од посетена обука-Контроверзни теми во | - што ја прави темата контроверзна<br>-позициите на | Компјутер, лцд проектор, презентација | -Членовите на активот ќе дискутираат за позициите на наставникот во | Татјана Силјаноска -Гочкова Лорета | јануари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставата | наставникот во реализацијата на контроверзните теми | | реализација на контроверзни теми<br>-Ќе се разменат искуства од веќе реализирани или контроверзни теми што треба да се реализираат во тековната настава | Станковиќ | |
| **6.** | Посета на Холокаустот | Добивање информации за холокаустот,меѓу предметна корелација | Слики,фотографии,видео записи,музејски поставки | Подобрување на интерперсоналните односи и хоризонтална наобразба,добивање информации за холокаустот,меѓупредметна корелација | Лорета Станковиќ<br>Татјана Силјановска Гочкова | Јануари-февруари 2024 |
| **7.** | **Модел на превртена училница и примена во наставата** | Запознавање на наставниците со поимот превртена училница<br>Како да се примени превртена училница | Компјутер<br>Литература<br>Лцд проектор | Наставниците се здобиваат со знаење за поимот превртена училница и ја применуваат во наставата | Тереза Блажевска | Март |
| **8.** | Посета на Национална опера и балет | Подобрување на интерперсоналните односи и | Организиран превоз и билети | Подобрување на интерперсоналните односи и хоризонтална | Елена Владева | Април-Мај |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | (оркестарски дела и балетска претстава) | хоризонтална наобразба,меѓупредметна корелација | | наобразба | Апостолов | |
| **9.** | Самоевалуација - Пристапи и водење на процесот при спроведување на самоевалуација во училиштето (ревизија на наученото) | -потсетување на подрачјата, методите и техниките за добивање, проверка и обработка на добиените резултати | Печатен материјал со индикаторите, ЛЦД проектор, стара самоевалуација | Обучени наставници за спроведување на ефективна сампоевалуација,со акцент на нововработените | Фросина Димитровска | мај |
| **10.** | | Завршен состанок - извештај | | Анализа на работата на Стручниот актив и насоки за следната година | Сите членови на Активот | Јуни |

***Во текот на учебната година тековно , доколку има семинари од МОН,БРО може да се одржат дополнителни активности и одредена тема да се замени со тема за која постои потреба и интерес.**

Изработил,
**Хилда Стефковска**

## 10.3 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧЕН АКТИВ НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКА ГРУПА ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

### 1. Составот на стручниот актив

| Ред. број | Наставник | Предмет | Улога |
|---|---|---|---|
| 1. | Христијан Христовски | Физичко и здравствено образование | Претседател |
| 2. | Дарко Ангелов | Математика | Заменик претседател |
| 3. | Ангела Михајловска | Физичко и здравствено образование | Записничар |
| 4. | Љубинка Стоименова | Биологија - хемија | Член |
| 5. | Мартина Христова | Математика - физика | Член |
| 6. | Тоше Столески | Географија | Член |
| 7. | Филип Ацевски | Информатика | Член |
| 8. | Виолета Миноска | Техничко образование | Член |
| 9. | Даниела Денковска | Природни науки | Член |

### 2. Планирани активности на стручниот актив

| Ред. број | Тема | Цели | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Конституирање на раководството и изготвување стратегија и програма за работа на активот. | Изготвување на програма за работа на активот, која ќе соодветствува на актуелните потреби на наставниците и приоритетите на училиштето, заради полесно вклопување во новите насоки во наставата | Дарко Ангелов<br>Љубинка Стоименова<br>Тоше Столески<br>Христијан Христовски<br>Мартина Христова<br>Ангела Михајловска | Јули |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Тема „Опис и упатство за примена антропо-моторички тестови‘‘ | Следење на психомоторниот и функционален развој заради превенцијата од ризикот за појава на зголемена и прекумерна телесна маса, како и деформитети на рбетниот столб кај децата од училишна возраст | Христијан Христовски | Септември |
| 3. | Изработка на анкети и прашалници за потребите во наставата преку алатката Forms | Обучување на наставниот кадар за изработка на анкети и прашалници за потребите во наставата преку алатката Forms | Тоше Столески<br>Филип Ацевски | Октомври |
| 4. | Намали, повторно употреби, рециклирај | Истражува начини за грижа за околината како на пр. рециклирање, намалување на потрошувачката на енергија, нерасфрлање отпад итн. | Даниела Денковска | Ноември |
| 5. | Користење на обновливи извори на енергија (фотоволтаици, Соларни системи) | Да знаат кои се енергетски извори на енергија, вклучувајќи ги фосилните горива и обновливата енергија во однос на енергетските потреби на светот | Мартина Христова | Декември |
| 6. | Оценување на учениците со ПОП | Да се запознаат наставниците со начинот на оценување на ученици со ИОП и модифицирана програма | Марија Костовска | Јануари |
| 7. | Работилница: ,,Скршено срце“ | Наставниците да се запознаат со работилницата и истата да ја применат и адаптираат со своите ученици | Елена Т.Максимовска | Февруари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Во светот на детскиот цртеж | Да се запознаат со методот за проценка на личноста на детето | Катерина Натева Теова | Март |
| 9. | Спортски картон и ученичко досие | Следење на психомоторниот и функционален развој на учениците од одделенска настава со помош на инструменти за евидентирање, следење и вреднување во наставата по физичко и здравствено образование | Ангела Михајловска | Април |
| 10. | Отворен час ‘‘Прибирање податоци – истражување‘‘ | Идентификува и собира податоци за да одговори на прашања, одбира метод за собирање, големина на примерок и степен на прецизност за мерењето | Дарко Ангелов | Мај |
| 11 | Изработка на сопствени индикатори ‘’- Тестирање на вашите индикатори (отворен час) | Користење на современи форми и методи ,ИКТ (апликација -edu bum) Лабараториски прибор, инструменти, ,модели Потребни хемикалии електронски обрасци | Љубинка Стоименова (биологија) | Јуни |

**Претседател,**
Христијан Христовски

## 11.УЧИЛИШНИ СЕКЦИИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

| Секција/клуб | Одговорен наставник | Општи цели | Временска рамка | Опфатеност на ученици | Потребни ресурси | Вклученост на надворешни соработници и претставници од советот на родители |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Математичка секција** | Благица Секуловска | Ученикот да разбира и прифаќа дека секој може да научи математика доколку доволно се потруди, -знаењата од математиката наоѓаат примена во многу области на секојдневното<br><br>живеење,<br><br>-знаењата по математика се неопходни во усвојување на знаењата од други<br><br>предмети и научни дисциплини,<br><br>-учењето математика може да биде забавно и интересно | Септември-јуни | I-III одделение | Табела стотки со броеви, бројна права, карти со броеви, карти со напишани трицифрени и четирицифрени броеви, картички со зборови и поими, празни ленти и ненумерирани низи од хартија, лизгачки ленти со броеви, низи со броеви, абакус,<br>картички со дропки и децимални броеви, тркало со броеви – пикадо, графикон со месна вредност, коцки со броеви, „сид“ со дропки, термометар.<br>• Линијари, стапчиња со различна должина, метро, ласер за мерење должина, лента<br>за мерење, макара со конец, опрема за мерење маса (ваги, различни тегови за<br>мерење маса под и над 1 kg, ваги до 1 kg, поделени | ////// |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на секои 10 g и ознаки на секои<br>100 g); вага за мерење (дигитална и терезија), пластични чашки и лажичиња за<br>мерење, кесички за мраз, модли за колачиња, мензури, мерен сад, садови со<br>различна форма и зафатнина, часовници (дигитален, | |
| **Ритмичка секција** | Славица Мојсоска / Николета Нестор | -да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување<br>-да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни);<br>-да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите кои се припадници на сопствената или на други култури;<br>развива креативност преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи. | Септември-јуни | I-III одделение | печатени материјали;<br>уреди за репродукција на аудио - и видеозаписи (ЦД,ТВ приемник, компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла); клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент. | Одделенски наставници<br>Предметни наставници<br>Директор<br>Родители на ученици од прво до трето одделение |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -да ги спознава основните музички активности како и слушање музика;<br>-да развива координација и насочено движење во просторот;<br>-да се запознае со правилно и лишо движење на телото;<br>-да се поттикна да учествува во игра;<br>-да се оспособи за осмислување и изведување на кореографија. | | | | |
| **Рецитаторска драмска секција** | Валентина Славковска<br>Ленка Пешевска | -Да се поттикнуваат и кај нив да се развиваат творечките способности,<br>-Да се формираат навики и потреби слободното време да го исполнуваат во пријатна и работна атмосфера -<br>Поттикнување на учениците за логичко размислување, истражување во областа на македонскиот јазик, љубов и интерес кон творењето и подлабоко преку нови творења на проза и поезија, драматизирање, глумење на театарски | Септември /јуни | Актив IV одделение | Творби од детски списанија, Книги, Содржини најдени на интернет , Слики , фотографии, творби од македонски и странски автори | Одделенски наставници<br>Предметни наставници<br>Директор<br>Родители на ученици од четврто одделение |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | претстави, вежби на правилно рецитирање, пишување | | | | |
| **Драмска секција** | Пандорка Јовчевска | -подготовка за работа на секцијата<br>- Љубов кон драматургијата<br>- запознавање на техники на говорење<br>-оспособувае на учениците за имитирање на<br>-ликовите од текстот<br>- оспособување на учениците за изразно I-IIIодд.<br>книги со драмски текстови,учебници и списанија<br>читање<br>- учениците се оспо-собуваат за читање по улоги<br>- учениците се оспо-собуваат за чиатње по улоги<br>- оспособување за правилни сценски настапи<br>- да се оспособат учениците за јавен настап<br>- да се подобри меморијата преку учење на текст на лик | Септември и јуни | I-III одделение | книги со драмски текстови,учебници и списанија | |
| **Математичка** | Сузана | Ученикот да разбира и | Септември/јуни | Актив V | Учебник ,литература по | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **секција** | А.Димовска Ива Количев | прифаќа дека секој може да научи математика доколку доволно се потруди, -знаењата од математиката наоѓаат примена во многу области на секојдневното<br><br>живеење,-<br><br>-знаењата по математика се неопходни во усвојување на знаењата од други<br><br>предмети и научни дисциплини,<br><br>-учењето математика може да биде забавно и интересно | | одделение | математика ,работни листови | |
| **ЕКО секција** | Христина Јанева | - Развивање на љубов кон Екологијата<br><br>- Планирано дејствување во спроведувањето на ЕКО - активностите<br>- Интензивирање на тимската работа<br>- Подобрување на училишната клима<br>- Сертифицирање на училиштето во ЕКО – | Септември /јуни | Учениците I-Vодделение | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | училиште/ Опционално<br>- Задоволство од работењето во ЕКО - акции<br>- Разубавување на околината во училиштето<br>- Селектирање и намалување на отпадот<br>- Штедење на вода, воздух и енергија<br>- Финансиско штедење<br>- Можност за дополнително финансирање (опционално)<br>-Поголема грижа за здравјето на луѓето<br>- Зајакнување на соработката со локалната заедница<br>-Зголемена соработка со бизнис секторот<br>- Зајакнување на партнерството со родителите | | | | |
| **Драмска секција** | Сузана Танева | -Елементар но запознава ње на актерската игра,<br>-развивање и негување на литературниот јазик и правилен изговор<br>-да се побуди интерес за драмската и театарската уметност; да се поттикнат учениците за драмска уметничка изведба; | Септември /јуни | I-III одделение | -Детска драмска литература<br>-Соодветни предмети и средства за сценографија и костими<br>-користење ИКТ, Илустрации,хамери,флом астери,тетратка за следење на активностите на секцијата,<br>-посети од автори и други секции (по можност) и др. | Писател на детски драмски текстови Институции (градинка, театар и др.) за потребите околу костими, сценографија и сл. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | да стекнат знаење за македонската драма и македонските драмски автори;<br>да се оспособат за самостојно вреднување и доживување на драмски текст;<br><br>градење на самодоверба, развивање на навики,комуникациски вештини, креативен и интелектуален развој, преку игри и актерски задачи | | | костими, шминка-изработени од учениците,сценографија подготвена во рамките на соодветните услови, фотоапарат, камера | |
| **Ликовна секција** | Светлана Николовска | -стручна едукација на ликовно надарените ученици во добивањето можност за акцелеративен развој и напредок во подрачјето на нивната надареност;<br>- развој на ликовно – естетскиот сензибилитет;<br>- развој на флексибилно мислење, способност за истражување и експериментирање во ликовното творештво | 01.09.2022-10.06.2023 | II и III одд | Блок, водени бои, темперни бои, акрилни бои, сув јаглен, линолеум,сув пастел, фиксатор, линолеум, длето за линолеум, хамер, хартија во боја, фломастери, тушеви во боја, различни нестандардни ликовни средства (од природата и материјали за рециклирање), моливи со различна мекост, четки, ножички, туш-перо | Наставник по ликовно обр. Родители надарени за ликовна уметност и родители кои ќе овозможат посети на изложби и средби и разговори со реномирани уметници |
| **Англиска секција-клуб** | Хилда Стефковска | -Зголемување на интересот за изучување на | 2023-24 | 1-3 одд и 4-5 одд | Интернет врска, ЛЦД-проектор, хамери, креди во боја, играчки, хартија | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | англискиот јазик,.<br><br>-Проширување на своите сознанија поврзани со предвидените наставни содржини, преку игри и активности соодветни на возраста на учесниците во групата.<br><br>-Зголемување на слободата и креативноста на учесниците за изучување на содржини и искажување на своите стекнати сознанија. | | | во боја, | |
| **Млади физичари, млади математичари** | Мартина Христова | -Да се поттикне љубовта кон физиката<br>-Потикнување на размена на мислења<br>-Споделување на сопственото искуство<br>-Меѓу ученичко помагање и почитување<br>-Да се формираат слободни креативни и одговорни личности<br>-Да создадат интерес за проучување на нови содржини<br>-Да се стимулира размислувањето | Септември - Јуни | 6-9 одд | Интернет,енциклопедии,пирачници,стручна литература | Родители, наставници |
| **Млади** | Лорета | Да се доближи | Септември-јуни | Ученици од | Интернет,енциклопедии,п | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **истражувачи-историчари и уметници** | Станковиќ Јулија Никовска Пешевска | подалечното и поблиското минато до учениците;<br>• продлабочување на знаењата кај учениците;<br>• создавање на критички однос кон историските личности и настани;<br>• да развива свест за сопствениот национален идентитет;<br>• да знае правилно да ги согледува настаните и процесите во сопствената историја и компаративно да ја согледува историјата на балканските и европските народи;<br>• да се поттикнува на меѓуетничко разбирање во нашата држава и почит меѓу Македонците,Албанците ,Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот ,Европа и светот преку изучување на историјата и | | 7 до 9 одделение | рирачници,стручна литература | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | културата на различните народи и држави.<br>• да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи и да развиваат почит за културните вредности;<br>• да гради свест за почитување на човековите права и слобода | | | | |
| **Мултимедијална ( литературна, рецитаторска, новинарска и библиотекарска ) секција** | Татјана С.Гочкова Елена Тасевска | - Оспособување на учениците за самостојна работа, самообразование и подготвувањење за перманентно образование.<br>-Потикнување на учениците за активно учество во културни и јавни настани во училишни и општествената средина.<br>- Развивање на културата на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос на учениците.<br>-Учениците да ги научиме да учат, како | Септември-јуни | Ученици од 6 до 9 одделение | Литература, стручна литература, хамер и прибор за работа, проектор, интернет. Правопис на македонскиот јазик. | Издавачки куќи, библиотеки писатели |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексикони и друг информативен материјал достапен од информативната технологија како што е Интернет и слични електронски извори.<br>-Да се развие талентот за пишување на сопствени творби на литературен јазик и да се развие чувство за правилно говорење.<br>-Да се развиат етички и морални особености: чуство за складност, уредност и одговорност. Трудиљубивост, истрајност, натпреварувачки дух, искреност, чесност, креативнст и самокритичност. | | | | |
| **Секција по англиски јазик** | Фросина Димитровска | -Да го негуваат интересот кон изучувањето на англискиот јазик, преку стекнување на информации од културата, нејзино почитување и споредба со македонската култура<br>-Развивање и | Септември- јуни | Ученици од 6 до 9 одделение | Книги, филмови, видеа, списанија, линкови, хамери, PPT,ученички прибор | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | подобрување на јазичните вештини за слушање, читање, зборување и пишување<br>- Развивање на свест за екологија, медиумска култура, здрава исхрана, различности | | | | |
| **Секција за Германски јазик** | Тереза Блажевска | -Усвојување на вокабуларот и изразите за телефонски разговор<br>-да се оспособат учениците да го разликуваат пишаниот од говорниот јазик<br>-Поттикнување на натпреварувачки дух на учениците<br>-усвојување на изрази и непознати зборови со цел да се усоврши читањето<br>-Поттикнување за активно учество за јавен настап, развивање љубов кон литературата и литературното читање, | Септември- јуни | Ученици од 6 до 9 одделение | Книги,списанија,интернет, стручна литература,цд,видеа | / |
| **Географска секција** | Тоше Столески | -Проширување на знаењата на учениците од областа на географија преку истражување, анализирање и собирање на податоци<br>-Стекнување вештини за изработка на | Септември 2023 - Јуни 2024 | 10-15 | интернет, енциклопедии, учебник | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | презентации и проекти -Стекнување вештини за презентирање, говорење и дискусија | | | | |
| **Биолошко – Еколошка** | Љубинка Стоименова | - учениците да ги осознаат научните законитости за единството и разновидноста на животинскиот свет за градбата и функциите и мсѓусебните односи на животинскот свет ,запознавање со екологија како природна наука ,развивање еколошка свест ,стекнување работни навики и одговорност на учениците, | Септември- јуни | Ученици од 7 до 9 одделение | Свеж материјал, слики, плакати, шеми ,микроскоп –(подготвени микроскопски препарати ),пример ИКТ – видеа.презентаци. истражувања, стручна литература ,енциклопедии, Прибор за работа | / |
| **Информатика** | Филип Ацевски | -да може сам да ги решава проблемите -да може сам да изработува дадени проекти | септември/мај | 6, 7, 8 и 9 одд | кабинет по Информатика | / |

## 12.ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ХОР
## за учебната 2023/24год.

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели:**

- да создава навика за редовност и точност;
- да ги развива творечките способности, етичките и естетските вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност индивидуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот и менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект ;
- да учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко;
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов кон пеењето;
- да интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи

**Образовен процес-структура на содржини**

| Задачи | Цели:<br>Посебни цели: | Дидактички насоки | | Инструменти | Начин на спроведување (Ресурси) | Временска рамка на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Обработка на композиции** | | **Активности**<br>Ученикот: | **Активности**<br>Наставник: | | | |
| **Аудиција** | - одредување на музикалноста – квалитетот на гласот;<br>- тонски распон на гласот; | - Пеење на мелодиско – ритмички мотиви во различни тоналитети<br>- Интерпретација на песна по свој избор;<br>- Интерпретација на задолжителна песна; | - организирање на аудиција и реаудиција на членовите на хорот;<br>-распејување<br>-заедничко пеење;<br>-индивидуално пеење;<br>- нотен запис на „Билјана платно белеше“ подобна поради дијапазонот децима. | Разговор, Евидентен лист за присутност; листа за проценка на музикалност. | Кабинет по музичко, Клавир - синтисајзер | септември<br><br>/во текот на целата учебна година |
| **Усвојување на основи на вокална техника, демонстрација и примена на вежби за распејување и дишење.** | - примена на правилен пеачки став, правилно дишење и поставка на вокал;<br>- развивање на вокалната техника;<br>- примена на различно темпо, динамика;<br>- презентација на креативна и естетска вокална интерпретација; | - пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал;<br>- пее вежби за развивање на вокалната техника;<br>- применува вежби за правилен пеачки став,<br>- применува различно темпо и динамика;<br>- презентира креативна и естетска вокална интерпретација;<br>- прави избор на програма; | -објаснува за основните елементи на вокалната технока;<br>-демонстрира вежби за распејување;<br>-објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи;<br>-објаснува за постоењето на внатрешниот слух;<br>-дискутира за потребата за емоционално доживување што треба да допрат до свеста и душата на интерпретаторот и слушателот | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | септември<br>октомври<br><br>во текот на целата година |
| **Обработка на:<br>Химна на Република Македонија** | -усвојува правила за изведба на свечена песна - химна | - усвојува ритмичко мелодиска целинба<br>- применува правилна интерпретација со соодветно темпо и динамика | -објаснува за поимот химна – свечена песна; | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | октомври<br>ноември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - го доживува карактерот на композициите и презентира правилна изведба; | | проценка. | | |
| **„Величанија Кирилу и Методију”- Тодор Скаловски** | -да го објасни текстот на песната<br>-дискутира за карактерот на композицијата<br>-демонстрира правилна вокална интерпретација | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика;<br>да го доживее карактерот на композицијата; | -објаснува за начинот на исполнување на композицијата;<br>-дискутира за емоционално доживување | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка. | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | декември, јануари |
| **Композиции за патронен празник** | - да демонстрира правилна интерпретација<br>- индивидуална и групна презентација | - да ја идентификува композицијата<br>- да дискутира за карактерот на композицијата | - прави анализа на текст<br>- објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка. | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | февруари март |
| **Обработка на композиции за натпревар** | -развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции; | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика;<br>да го доживее карактерот на композицијата;<br>-стекнува искуство за јавна изведбена активност; | -дискутира за потребатата од негување и пеење народни песни<br>- демонстрира правилна вокална интерпретација;<br>-одредува интонација, темпо, динамика,<br>-внимава на правилна и јасна дикција. | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка. | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | април |
| **Композиции по слободен избор** | - развива љубов кон пеењето;<br>- интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика;<br>- го доживува карактерот на композицијата; | -објаснува за композицијата и животот и творештвото на композиторот;<br>- демонстрира правилна вокална интерпретација;<br>-одредува интонација, темпо, динамика, | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | мај<br>јуни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | народи | | -внимава на правилна и јасна дикција. | | | |

**ЗАБЕЛЕШКА:** Во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработат композиции според потребите интересот, желбите и можностите на хорските пејачи.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ХОРСКАТА НАСТАВА**

Часовите по ХОР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на комппозициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот хор може да членуваат ученици од VI, VII , VIII и IX одделение, согласно интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на хорските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

**Наставни методи и активности**

Во остварувањето на целите на училишниот ХОР ќе се применуваат наставни форми и методи:

- истражувачка
- проблемска
- фронтална
- групна
- индивидуална
- разговор
- дискусии
- практична работа
- демонстративна и други.

Во работата ќе преовладува иницијативноста, самостојноста, креативноста и слободното изразување на чувствата преку вокална интерпретација. Ќе се иницира соработка со културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација.

**Просторни и материјално –технички услови**

Наставата по хор ќе се реализира во наменски кабинет по музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

**Настапи:** Училишниот хор ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРСМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и хорските натпревари организирани од ЗМПРСМ во соработка со БРО.

**Одговорен наставник: Елена Владева Апостолов**

# 13. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР
## за учебната 2023/24 год.

Целта на училишниот оркестар е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели:**

- да создава навики за редовност и точност;
- да се развиваат творечките способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на инструментални композиции;
- да развива способност за колективно инструментално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упаства на диригентот/менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на инструментална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и кулурата;
- да развива љубов и способност за инструментална интерпретација и запознавање со културите на другите народи

**Образовен процес-структура на содржини**

| Задачи<br>Композиции и технички содржини за обработка | Посебни цели: | Дидактички насоки<br>Активности<br>Ученикот: | Активности<br>Наставник: | Инстру Менти | Начин на спроведување (Ресурси) | Временска рамка на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Аудиција** | - одредување на музикалноста<br>- техника на свирење;<br>- степен на обученост за свирење на инструменти | - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.<br>- Презентира ритмичка интерпретација;<br>- демонстрира инструментална изведба по свој избор<br>- да поседува елементарни знаења од музичката писменост | - организира аудиција на членови во училишниот оркестар<br>-врши проверка на знаењата на учениците од областа на музичката писменост<br>- демонстрира ритмички и мелодиски вежби. | Разговор, Евидентен лист за присутност;листа за проценка на музикалност. | Кабинет по музичко, Клавир - синтисајзер | септември<br><br><br>/во текот на целата учебна година |
| **Видови, технички можности и начин на свирење на ДМИ** | - ги проширува теоретските знаења во областа на свирење на жичаните трзачки инструменти;<br>- развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на жичаните трзачки инструменти; | - учи за поделбата на жичаните трзачки инструменти<br>- препознава трзачки инструменти по навната звучност,<br>- дискутира за секој инструмент од групата на жичаните трзачки инструменти<br>- свири на мандолина-мандола-гитара или бас. | -Презентира жичаните трзачки инструменти;<br>-објаснува за поделбата на жичаните трзачки инструменти;<br>-демонстрира слики, аудио и видео снимки со примена на жичаните трзачки инструменти и др. вид на инструменти | Разговор, усна презентација;<br>Евидентен лист за присутност;листа за проценка на музикалност. | -Кабинет по музичко,<br>-жичаните трзачки инструменти | септември,<br>во текот на целата учебна година |
| **Видови, технички можности и начин на свирење на блок флејти, металофон, ксилофон,** | - усвојува нови знаења;<br>- развива творечките способности, етичките и естетските вредности | -препознава видови на блок флејти;<br>-усвојува техника на свирење на блок флејта;<br>-демонстрира технички вежби;<br>-демонстрира вежби за секој тон | - презентира видови на блок флејти<br>- демонстрира и објаснува техники на свирење<br>- презентира правилен начин на свирење и држење на инструм.<br>- презентира мелодиски и ритмички вежби | Разговор, усна повратна информација;<br>Евидентен лист за присутност; | Кабинет по музичко, блок флејти,нотен материјал | октомври<br>ноември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **мелодика** | | | | | | |
| **Химна на ЕУ „Ода на радоста“ – Л.В.Бетовен** | - усвојува и презентира правила за изведба на свечена песна - химна<br>- учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко | - интерпретира празнични композиции;<br>- презентира правилна изведба<br>- стекнува искуство за заедничко музицирање,<br>- чувствува задоволство од изведбата на свечени песни; | - врши поделба во групи<br>- демонстрира мелодиска и ритмичка делница;<br>-реализира посебни и заеднички проби;<br>-дава потребни сугестии и насоки за правилна и естетска изведба; | Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност; | -Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмент и, нотен материјал | ноември декември |
| **Канони и обработки на народни песни „Море сокол пие вода на Вардарот”** | - се здобие со искуство за двогласно свирење<br>- демонстрира правилна изведба на канонската мелодија | - усвојува поим канон;<br>- свири канонска мелодија;<br>- свири и следи втора мелодија | -објаснува поим канон и начинот на изведба<br>-демонстрира канонска мелодија, демонстрира канонска изведба | Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност; листа на проценка. | Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмент и, нотен материјал | декември, јануари |
| **Композиции за патронен празник** | - да демонстрира правилна интерпретација<br>- индивидуална и групна презентација | - да ја идентификува композицијата<br>- да дискутира за карактерот на композицијата | - прави анализа на текст<br>- објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување | Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка. | Кабинет по музичко; -жичаните трзачки инструмент и, ДМИ, нотен материјал | февруари март |
| **Обработка на задолжителни композиции за натпревари** | - развива способност индивидуална инструментална интерпретација;<br>- почитува дадени упатства на диригентот и менторот;<br>- ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;<br>- ги проценува вредностите на музичките дела преку | - интерпретира популарни композиции;<br>- презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба<br>- стекне искуство за заедничко музицирање,<br>- чувствува задоволство од својата интерпретација;<br>- презентира изведба пред публика | - врши поделба во групи : 3 групи за мелодиски и една група за ритмичка придружба;<br>- демонстрира мелодиска и ритмичка делница;<br>-реализира посебни и заеднички проби;<br>-дава потребни сугестии и насоки за правилна (темпо, динамика, карактер итн) и естетска изведба | Разговор, усна повратна информа ција; Евидентен лист за присутност;лис та на проценка. | Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмент и, ДМИ, нотен материјал | април |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | анализа; | | | | | |
| **Свирење на композиции по избор** | - развива љубов кон свирењето; | - чувствува задоволство од својата интерпретаира по својо избор; | дава потребни сугестии и насоки за правилна (темпо, динамика, карактер итн) и естетска изведба | Евидентен лист за присутност; слики. | кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | мај, јуни |

**Забелешка:** во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции, во зависност од интересот и желбите на учениците и потребите на сите културно- уметнички манифестации.

**Организација на оркестарската настава**

Часовите по ОРКЕСТАР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на композициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот оркестар може да членуваат ученици од VI, VII VIII и IX одделение, согласно интересот и можностите на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на оркестарските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

**Наставни методи и активности**

Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат следните наставни форми: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и др., а од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други методи. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на индивидуалните чувства преку инструментална презентација. Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструментална интерпретација

**Просторни и материјално-технички услови за работа**

Наставата по оркестар ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

**Настапи:**Училишниот оркестар ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРСМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и оркестарските натпревари организирани од ЗМПРСМ во соработка на БРО.

**Одговорен наставник: Елена Владева Апостолов**

## 14.Програма за работа на инклузивниот тим

Работата на училишниот инклузивен тим се состои во приспособување на наставната работа кон развојните, заеднички и индивидуални потреби за напредување на учениците. Тоа подразбира примена на разновидни техники и стратегии во реализација на наставната работа, поттикнување и унапредување на креативноста, подобрување на личниот и социјален развој.

| 1. Работа со ученици | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Ресурси и инструменти** | **Очекувани ефекти** |
| Идентификација на ученици со пп | -увид во досиеја на ученици со пп запишани во прво одд.<br>- консултации со родители, наставници,<br>-стручно тело за проценка<br>-консултации со ОУ со ресурсен центар | септември | УИТ<br>ИТУ | Листи за следење<br>Изработување на ИОП | Евиденција на ученици со пп<br>Изградена стратегија за работа и поддршка според моделот на интервенции за поддршка |
| Континуирана поддршка на учениците со пп | -консултативни разговори на стручните соработници со одделенските наставници<br>-консултативни разговори со стручните лица од стручно тело за функционална проценка од ОУ со Ресурсен центар<br>Советодавно- | Континуирано во текот на учебната година | Стручни соработници<br>Одделенски раководители<br>Родители/старатели<br>Ученици | Досие на ученици со пп | Подобрување на постигањата на учениците<br>Активно партиципирање во одделението, училиштето и локалната заедница |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | консултативна работа со учениците со пп | | | | |
| Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со пп | -разговори со ученици<br>Советодавни разговори со родители<br>Индивидуални средби<br>Тестови | Континуирано во текот на учебната година | Стручни соработници<br>Одделенски раководители<br>Родители/старатели<br>Ученици | Социометриски тест<br>Работилници | Развивање самодоверба, самопочитување, комуникациски вештини,<br>-постигнување на планираните цели во воспитно-образовниот процес на учениците со пп<br>-обезбедување на чувство на припадност во заедницата (училиштето) |
| Обезбедување ученичка поддршка за учениците со пп | Поддршка од учениците-работилница со членови на ученичка заедница | Континуирано во текот на учебната година | УИТ<br>Тим за ученичка заедница(наставници) | Консултативно-советодавни средби | Обезбедена помош и поддршка на учениците со пп во училиште и надвор од училиште |
| Вклучување на учениците со ПП во одредени воннаставни активности | -набљудување и анализирање на интересот и желбата на ученикот за одредена секција<br><br>-вклучување на ученикот во одредена секција согласно неговите можности и потенцијали | Континуирано | Инклузивен тим<br><br>Наставник | Разговор<br><br>Евидентен лист за следење | -успешно извршени активности |
| **2.Работа со наставници** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на инклузивни политики и споделување на инклузивни практики | -изработување на годишна програма за работа на инклузивниот тим за учебна 2023/2024 год. | Јули 2023 | -Членови на Училишен инклузивен тим (УИТ)<br>-членови на инклузивен тим за секој ученик (ИТУ) | -состаноци<br>-разгледување на претходната годишна програма, и годишниот извештај,<br>записници | Споделување на позитивни искуства<br>Изработена годишна програма преку која успешно ќе бидат имплементирани инклузивните политики |
| Запознавање на предметните наставници со учениците со пп кои преминуваат од одделенска во предметна настава | -разговор<br>-размена на искуства | септември 2023 | Инклузивен тим | Евидентен лист за следење,<br>Досие на ученик | Прифаќање на состојбите на учениците, запознавање со нивните способности и создавање на позитивна клима |
| Инструктивна работа со наставници за карактеристиките на учениците со пп | Работилници<br>Обуки | Континуирано | Инклузивен тим<br>ОУРЦ „Иднина“ | Стручна литература | Стручно усовршување на наставниците |
| Насоки за изработување на ИОП | -консултативни средби со наставници<br>Анализирање на состојбата на ученикот | Септември 2023 | Инклузивен тим<br>Стручни соработници<br>Родители | Прирачници | -Правилно дефинирање на целите<br>-правилно изработен ИОП согласно можностите на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ученикот |
| Подобрување на инклузивната практика | Поддршка на наставниците да партиципираат преку соработка, интеракција и решавање на проблеми | Континуи рано | Инклузивен тим<br>Стручни соработници<br>Родители | Прирачници<br>Обуки | Постигања на планираните цели во воспитно-образовниот процес |
| **3.Работа со родители** | | | | | |
| Проследување на родителите и учениците за проценка на психофизичките способности според МКФ | -изготвување на мислење од стручни соработници за ученик<br>доставување на проценка од стручно тело за функционална проценка (МКФ) | Мај 2023<br>Март 2024<br>По потреба и во текот на учебната година | Инклузивен тим<br>Стручни соработници<br>Родители | Барање<br>Мислење од УИТ<br>МКФ проценка | Навремено доставена документација и соодветни насоки за подобрување на состојбата на учениците |
| Разговори со родители на деца со пп | Планирани средби и разговори | Континуи рано | Стручни соработници<br>Наставник од одделение<br>Член од тимот | Разговор<br>Записник<br>Аналитички листови | Родителите да ги прифатат реалните можности на детето |
| Работа со родителите со цел градење на позитивен став кон | Работилници<br>Разговори<br>Размена на искуства | Континуи рано | Инклузивен тим<br>Родители | Брошури<br>Прирачници | Менување на стереотипите<br>-создавање позитивна клима за прифаќање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| учениците со пп | | | | Анкети | на ученици со пп |
| **4.Соработка со други институции** | | | | | |
| Соработка со стручно тело за функционална проценка | Консултации<br>Разговори<br>размена на искуства | Континуирано во текот на учебната година | УИТ<br>Ученици<br>Родители | Мислења од стручен тим | Добивање на дополнителна стручна помош и поддршка<br>Насоки и препораки за подобрување на состојбите на учениците со пп |
| Соработка со ОУРЦ „Иднина“ | -редовни состаноци со ОУРЦ „Иднина“ | Континуирано во текот на учебната година | Директори<br>Стручни соработници<br>Специјални едукатори и рехабилитатори<br>Образовни асистенти | Состаноци<br>Записници | -добивање на дополнителна стручна помош и поддршка<br>Доделување на образовни асистенти на учениците на кои им е потребно<br>Подобрени училишни постигнувања на учениците со пп |
| Соработка со локална заедница | -учество во активности кои се однесуваат на ученици со пп | континуирано | Специјални едукатори и рехабилитатори наставници | Консултативни состаноци | Подобрување на социјализацијата на учениците со пп |
| **5.Аналитичко-истражувачка работа** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење на активностите и постигањата на учениците со пп | -евиденција за успехот, редовност и однесување на учениците со пп | -кварталн о | УИТ | Евидентни листи за следење | Подобрување на постигањата на учениците со пп |
| Вршење ревизија на ИОП | -анализирање на постигнатиот успех<br>-редефинирање на предвидените цели доколку е потребно | декември 2023<br>април 2024 | Инклузивен тим | Прирачници<br>ИОП<br>Листи за евалуација | -правилно дефинирани цели во ИОП<br>-напредување во развојот<br>-развивање на потенцијалите на учениците со пп |
| **6.Училишна структура, организација и клима** | | | | | |
| Формирање на училишен инклузивен тим | -одлука за формиран училишен инклузивен тим | Јуни 2023 | Директор<br>Стручни соработници | -состанок<br>-записник | Вклучување на сите субјекти кои ќе бидат вклучени за поттикнување, учење и помагање на учениците со пп |
| Формирање на инклузивни тимови за секој ученик со пп | - изготвување на тимови за секој ученик со пп во зависност од распределба на одделенија | Август 2023 | Директор<br>Стручни соработници | Разговор<br>Записник | Вклучени сите субјекти кои ќе бидат вклучени за поттикнување, учење и помагање на учениците со пп |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на полугодишен и годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим | -записници од средби со наставници,<br>-записници од средби со родители,<br>-записници од средби со ученици | Јануари 2024<br>Јуни 2024 | Инклузивен тим<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>Родители<br>Ученици | Извештаи од состаноци<br>Евиденција за работа со ученици | Успешно реализирање на предвидените активности за учебната 2023-2024 год. и подобрување на инклузивната практика |

**Тим :**Марија Костовска ,Елена Трипуновска Максимовска,Благица Секуловска,Љубинка Стоименова, Влатко Пецевски,Наташа Солевска

## 15. МИО активности во нашето училиште

### 14.1 Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

***Годишно планирање за меѓуетничка интеграција во образованието***
***Тим за МИО: Александра Петковска Анастасов, Дарко Ангелов, Тоше Столески, Валентина Славковска, Катерина Натева Теова, ученик правобранител, претседател на ученички парламент***

| *Подрачје* | *Активност* | *Краток опис на активноста* | *Реализатори (по возрасни групи)* | *Термин* |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка на наставниците на професионален план** | Состаноци настручните активи | Обработка на теми и активности од заеднички интерес за наставниците од двете училишта | Наставниците од Стручните активи и стручните соработници | IX-VI |
| **Заеднички активности на учениците** | -Вонаставни активности | Музички песни и танци и спортски натпревари | -Ученици од I-IX одд.<br>-Наставници од предметна и одделенска настава | IX-VI |
| | -Вонаставни активности | Посета на Турбето Гази Баба, вклучувајќи еко и ликовни активности | -Ученици од I-IX одд.<br>-Наставници од предметна и одделенска настава | |
| | -Вонаставни активности | Одблежување на верски празници | -Ученици од I-IX одд.<br>-Наставници од предметна и одделенска настава | |
| **Проекти со локалната заедница** | Заеднички активности сопартнер училиштето илокалната заедница | Одбележување на патронати на училиштата | -Ученици од I-IX одд.<br>-Наставници од предметна и одделенска настава | III и V |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Застапеност на мултикултурна иконографија** | Поставување на паноа и уредување на училишниот простор | Истакнување и воочување на мултиетничкиот карактер на РМ на паноата;<br>**(**Изработка на паноа во училиштата) | Наставници од предметна и одделенска настава | Контину ирано |
| **Соработка со родителите** | Соработка со родителите во заедничките активности соучениците | Вклучување на родителите во подготовка на заедничките приредби, работилници, презентации и поделба на благодарници за учество и соработка | Совет на родители | Според акционите планов и |
| **Промоција на реализираните активности** | Приредби, презентации, подготвување на информативнии промотивни материјали | Зависно од предвиденото со акционите планови,секоја реализирана активност ќе завршува со промоција на истата. На промоциите ќе присуствуваат ученици, наставници и родители од двете училишта, како и претставници од локалната заедница | Наставници, ученици и родители | На крајот на секоја активност |
| **Соработка со родителите** | Соработка со родителите возаедничките активности соучениците | Вклучување на родителите во подготовка на заедничките приредби, работилници, презентации и поделба на благодарници за учество и соработка | Совет на родители | Според акционите планов и |
| **Промоција на реализираните активности** | Приредби, презентации, подготвување на информативнии промотивни материјали | Зависно од предвиденото со акционите планови,секоја реализирана активност ќе завршува со промоција на истата. На промоциите ќе присуствуваат ученици, наставници и родители од двете училишта, како и претставници од локалната заедница | Наставници, ученици и родители | На крајот на секоја активност |

# 16. ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е :

1. Проширување и совладување на знаењата,

2. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и процесите во природната и појавите и односите во општествената средина,

3. Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и поширокаата околина, во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

| **Активност** | **Време на изведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| **Излет со наставно - рекреативен карактер** | септември октомври | **Парк – шума, Гази Баба**, околина на Скопје | I - IX одд |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Еднодневна екскурзија** | Мај/јуни | Скопје –Тетово – Лешок – Скопје | III одд |
| **Настава во природа** | април/мај/јуни | Скопје-Охрид-Скопје | V одд. |
| **Научно - наставна дводневна екскурзија** | Април/мај/јуни | Источен дел од Република Северна МакедонијаСкопје – Струмица-Дојран-Валандово-Демир Капија-Велес-Скопје | VI одд. |
| **Научно - наставна тродневна екскурзија** | Април/мај/јуни | Западен дел од Република Северна Македонија: Скопје- Велес-Прилеп-Охрид- Маврово -Гостивар - Тетово - Скопје | IX одд |
| **Излет со наставно - рекреативен карактер** | април/мај/јуни | **Св.Никита**-Скопска Црна Гора | I - IX одд |

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на излетите и екскурзиите.

## ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ

**Место:** парк шума Гази Баба

**Опфатеност:**I-IX одделение

1. **Воспитно-образовни цели:**

**а)** стекнување и проширување на знаењата за парк-шумата Гази Баба

**б)** запознавање со природните убавини на парк – шумата Гази Баба

**в)** развивање на дружељубивост, другарство, позитивни карактерни особини

**г)** рекреација и спортување во природа

**д)** подигање на еколошката свест

**2. Задачи:**

**а)** запознавање со природните убавини како што се шумската вегетација на околината , местоположбата која дава можност за разгледување на релјефот на поблиската, но и подалечна околина на истиот.

**б)** развивање на другарство, унапредување на позитивните карактерни особини преку меѓусебно дружење, играње на разни игри со правила, водење грижа за себе и групата.

**в)** спортување и рекреација во чиста и незагадена средина.

**г)** ќе ја подигнат еколошката свест преку унапредување на навики за одржување на чистата природа, нејзино неоштетување и складирање на отпадоците на одредени места.

**3.Содржина на активности:** рекреација, спортување, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**4.Раководител, наставници, ученици, времетраење.**

**а) Раководител на екскурзијата**: Христијан Христовски

**б) Одговорни наставници**: Тереза Блажевска  наставник по германски јазик, Дарко Ангелов наставник по математика, одделенски наставници, и одделенски раководители.

**в) Носители на активности:** учениците од I-IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**5.Време на реализација:** септември-октомври

**6.Локации за посета и правци на патување:**

**а) локации:** парк шума Гази Баба

**б) правци на патување:** нас. Железарница – Парк шума Гази Баба - нас. Железарница

# ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ

**7.Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар.

**8. Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**Место: Св.Никита,Скопска Црна Гора**

**Опфатеност:**I-IX одделение

**1.Воспитно-образовни цели**

**а)** Преку престојот во манастирот Свети Никита;, учениците ќе се запознаат со природните убавини на неговата околина и настанокот на манастирот Свети Никита;

**б)** попатно ќе ги разгледаат стопанските објекти во општина Сандево

**в)** ќе се рекреираат во чиста незагадена природа ,

**г)** преку воочување на значењето на чистата природа за здравјето на човекот, ќе се однесуваат еколошки одговорно, водејќи грижа за нејзиното неоштетување и незагадување.

**2. Задачи:**

**а)** Запознавање со природните убавини на планината Скопска Црна Гора

и нејзината околина;

**б)** запознавање со манастирот Св. Никита и неговиот настанок;

**в)** рекреација во природа,

**г)** и развивање на еколошка свест и навики.

**3.Содржина на активности:** рекреација, спортување, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**4.Раководител, наставници, ученици, времетраење.**

**а) Раководител на екскурзијата**: : Анѓела Михајловска

**б) Одговорни наставници**: Елена Владев Апостолов наставник по музичко образование Драган Печевски одделенски наставник, одделенски наставници, и одделенски раководители.

**в) Носители на активности:** учениците од I-IX одделение,Драган Печевски одделенски наставник , одделенските наставници и класните раководители.




**5.Време на реализација:** април/мај

**6.Локации за посета и правци на патување:**

**а) локации:** Манастир Св Никита - Скопје

**б) правци на патување:** Скопје-нас Железарница – манастир Св Никита – Скопје- нас Железарница

**7.Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, пекар.

**8. Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ**
**Учебна 2023/2024 год**

**Вид на туризам**: домашен

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење :** 2 дена

**Време на реализација**: септември-октомври, април-мај

**Опфатеност на ученици:** паралелки VIа и VIб

## 1. Воспитно-образовни цели:

- да се запознаат со природно – географските, биолошко – еколошките и други особености во источниот дел од Република Македонија;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- да ги запознава и осознава основните законитости и поими за природата околу себе;
- да се запознае со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во поширокатa околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
- да ја увиди поширокатa просторна ориентација на својата околина и општините во Република Македонија;
- да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во семејството и поширокатa околина (општината) со животот и работата на луѓето во минатото;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;

- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во поширокатa околина (општината);
- да гради чуство за патриотизам ,толеранција и соживот;
- да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување .
- да ги прошират знаењата за поедини дејци од областа на литературата.

## 2. Задачи:

- Запознавање на природата и екологијата.
- Запознавање со културно – историските знаменитости.
- Етнологија и културно наследство во источниот дел од РМ.
- Запознавање со географските одлики, природните богатства стопанството и индустријата.
- Проширување на знаењата за животинскиот и растителниот свет застапен во РМ.
- развивање позитивен однос кон животната средина,
- развивање чувство за одговорност, свесна дисциплина,
- поттикнување и развивање другарство , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

## 3.Содржина на активности:

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

рекреација, спортување, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

**1 ден:** Тргнување од **Скопје**, попатно панорамско разгледување на **Куманово**, посета на **Куклици**, посета на **Кратово** и запознавање на учениците со старата градска архитектура застапена во Кратово, посета на **Градскиот музеј**, попатна посета на **Пробиштип** и посета на манастирските комплекси во **Водоча и Вељуса**. Пристигање во **Струмица** во попладневните часови, сместување, попладневно разгледување на центарот на Струмица .

Вечера и културно забавна програма за учениците и ноќевање во хотел во Струмица.

*Куклици – Кратово;* *Штип* *Водоча Струмица*

**2 ден: Појадок, посета на термите во Банско, Колешински водопади. Враќање во хотелот, ручек и поаѓање за Скопје. Посета на Дојранското езеро, набљудување на ендемската флора и фауна, посета на каналот за полнење на Дојранското Езеро, попатна посета на античкиот град Стоби. Враќање во Скопје во вечерните часови.**

*Колешински водопади  Дојранското Езеро  Саат кула Дојран*

## Раководители, наставници, ученици, времетраење.

**а) Раководител на екскурзијата**: Мартина Христова

**б) Одговорни наставници**: Фросина Димитровска, класен раководител на VIб и Мартина Христова, наставник по математика

**в) Носители на активности:** учениците од VIа и VIб и раководителите на паралелките

**5. Времетраење:** два дена, едно ноќевање.

**6. Локации за посета и правци на патување:**

**а) локации:** Источен дел од РСМ: Струмица, Колешинските водопади , Дојранско Езеро, Саат Кулата во Дојран, Стоби.

**б) правци на патување:** Скопје, Куманово, Кратово, Пробиштип, Штип, Струмица, Дојран, Стоби, Скопје.

**в) услови за сместување:** Учениците ќе бидат сместени во хотел со најмалку три ѕвездички




**7.Техничка организација**: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, хотелско сместување, туристички водач, лекар.

**8. Начин на финансирање**: самофинансирање од страна на родителите,

**ТРОДНЕВНА НАСТАВНО НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА IX ОДДЕЛЕНИЕ**
**УЧЕБНА 2023/2024**

**Вид на туризам:** домашен

**Вид на екскурзија:** научно-наставна

**Времетраење:** 3 дена

**Време на реализација:** септември-октомври, април-мај

**Опфатеност на ученици:** IXа и IXб одделение

**1. Воспитно-образовни цели:**

**а)** Стекннување знаења за релјефот и археолошкиот комплекс на локалитетот Маркови Кули (утврден град со акропола со повеќе градби од станбен и стопански карактер)

**б)** Запознавање со местоположбата, модерната македонска архитектура во Крушево (спомен куќата на Тодор Проески), старата македонска архитектура и природните убавини во Крушево, градот Охрид и с. Вевчани

**в)** Проширување на знаењата за истакнати македонски историски личности од Илинденскиот период

**г)** Проширување на знаењата за настанувањето на манастирот Св. Наум и дејноста на Св. Наум Охридски

**д)** Запознавање со содржините на спомен куќите (поставки за животот и делото на Тодор Проески)

ѓ) Запознавање со активностите кои се одржувале во античките театри

**е)** Стекнување сознанија за археолошките откритија на локалилетот Стоби и Плаошник (базилики, мозаици, старата црква на Св. Кликмент, Светиклиментовиот универзитет) и проширување на знаењата за животот и дејноста на Св. Климент Охридски

**ж)** Запознавање со местоположбата и проширување на знаењата за историјатот и важнсота на Самоиловите тврдини

**з)** Стекнување знаења за манастирот Св. Јован Бигорски и стариот македонски занает копаничарство

**ѕ)** потсетување на знаењата преку разгледување на реките Вардар, Радика и изворите во Вевчани

**и)** стекнување знаења за околните планини Јабланица и Галичица

**ј)** запознавање со природните околини

**к)** развивање на патриотизам кај учениците

**л)** развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности

**љ)** развивање на другарство и социјализација на учениците

**м)** рекреација во природа и срекнување еколошки навики.

1. **Задачи:**

**а)** Посета и разгледување на локалитетот Маркови Кули, посета и разгледување на локалитетот Плаошник, Самоилови тврдини и Антички театар. Посета и разгледување на старата и модерна македонска архитектура во градот Охрид, Охридската чаршија и старото јадро на Охрид, градот Крушево и село Вевчани. Посета на спомен куќата на Тодор Проески и споменикот Македониум. Посета и разгледување на манастирот Св. Наум Охридски, Св. Климент и Пантелејмон, Св. Јован Бигорски и разгледување на иконостасот во манаститорот. Разгледување на околината и изворите во с. Вевчани и Охридското Езеро.

**б)** Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат врз неа, со природните убавини на посетените места, поблиското и подалечното минато и нивното историско значење.

**в)** Развивање позитивен однос кон животната средина

**г)** Развивање чувство за одговорност, свесна дисциплина.

**д)** Поттикнување и разивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

2. **Содржина на активности:**

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

Рекреација, спортување, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата, однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

**а) Прв ден:** Поаѓање од пред училиште во 08:00 часот. Се патува преку Велес и се застанува на локалитетот Стоби, се продолжува за Прилеп и се посетува локалитетот Маркови Кули. Се продолжува за Крушево. Разгледување на градот Крушево, спомен куќата на Тодор Проески, споменичкиот комплекс „Илинден“ (Македониум). Пристигнување во Охрид во вечерните часови. Сместување и вечера во хотел во Охрид.

**б) Втор ден:** Појадок. Посета на манастирот Св. Наум Охридски. Ручек. Разгледување на Стар град, Антички театар, комплексот Плаошник, Самоилова тврдина. Вечера. Забава во дискотека.

**в) Трет ден**: Појадок. Поаѓање (ручек во ланч пакет) и попатно посетување на с.Вевчани и изворите во Вевчани. Се патува преку Струга-Дебар. Посета на **Бигорски манастир Св.Јован Бигорски. Се патува преку Маврово-Гостивар-Тетово-и враќање во Скопје во попладневните часови.**

**4. Раководител, наставници, ученици, времетраење.**

**а) Раководител на екскурзијата: Лорета Станковиќ**

**б) Одговорни наставници:** Татјана Силјаноска- Гочкова и Лорета Станковиќ

**в) Носители на активности:** учениците од IX-а и IX-б одделение и раководителите на паралелките Татјана Силјааноска -Гочкова и Лорета Станковиќ.

**5. Времетраење:** 3 дена-две ноќевања

**6.Локации за посета и правци на патување:**

**а) локации:** западен дел од РСМ - Стоби, Прилеп (Маркови кули) Крушево (спомен куќа на Тодор Проески, споменички комплекс ,,Илинден" („Македониум“), Охрид- Манастир „Св. Наум Охридски“, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Охридската чаршија, Вевчани: Вевчански извори, Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“.

**б) правци на патување:** Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Охрид-Струга-Вевчани-Дебар-Маврово-Гостивар-Тетово-Скопје

**в) услови за сместување:**учениците ќе бидат сместени во хотел со најмалку три ѕвездички

**7. Техничка организација:** висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар**.**

**8. Начин на финансирање:** самофинансирање од страна на родителите


Tetovo
Тетово
Gostivar
Гостивар
Национален
Парк Маврово
Kichevo
Кичево
Plasnitsa
Пласница
Vevchani
Струга
Struga
Prespa
Baba
Mountain
Bitola
Битола
Petrovec
Петровец
Sveti Nikole
Solunska
Glava
Gradsko
Kavadarci
Krushevo
Крушево
Prilep
Прилеп
Alcomenae
Demir Hisar
Демир Хисар
Koncipishte
Pozar Baths

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

**Времетраење:** 4 дена, три ноќевања

**Опфатеност на ученици**: V $^{а}$ и V $^{б}$ одделение

**Време на резлизација**: април/мај

**Место на реализација**: Охрид

**1.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

**а)** Стекнување на елементарни знаења за Охридското Езеро и неговите карактеристики, архитектурата на градот Охрид, културно-историските споменици, специфичните стари занаети;

**б)** Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето кои живеат покрај природно или покрај вештачко езеро, покрај река;

**в)** Развивање на мултикултурализам кај учениците;

**г)** Развој на патриотизмот кај учениците;

**д**) Рекреација и спортување во природа, покрај езеро, на чист воздух;

**ѓ)** Развивање на позитивен однос кон природата, градење на еколошки навики и подигнување на еколошката свест.

**2. ЗАДАЧИ:**

**а)** запознавање и набљудување на Охридското Езеро како најголемо природно езеро и ретките видови од растителниот и животинскиот свет;

**б)** Да стекнува нови и да ги проширува елементарните знаењата за културно - историски споменици преку нивна посета на културно-историски споменици и разгледување со собирање податоци со цртежи, скици, летоци, проспекти, запишување, мерење, скицирање и прикажување на прибраните податоци – презентирање, со дозвола ќе се фотографира;

**в)** Преку прошетка да се запознава со градот Охрид, неговата специфична стара архитектура, Старата чаршија и куќата на Григор Прличев;

**г)** Посета на занаетчиски работилници со специфичните стари занаети како што се филигранството и изработката на охридските бисери;

**д)** Секојдневно да практикува вежбање на отворен простор;

**ѓ)** Да се реализираат планираните стандарди од сите предмети интегрирани во согласност со наставата во природа;

**е)** Организирање културно - забавен живот (игранки, натпревари во пеење и сл.);

**ж)** Престојување на чист воздух во непосредна близина на чистите води на Охридското Езеро, поттикнување на чувство за водење грижа за непосредната околина во смисла да не се загадува со отпадоци;

**з)** Воочување на градбите, културата и начинот на живеење на луѓето во повеќе градови;

s) Попатно набљудување на текот на реката Радика и Полошката Котлина;

**и)** Проширување на знаењата за природното и културното наследство на Република Северна Македонија, попатно набљудување на текот на реката Радика и Полошката Котлина.

## 3. СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

**План на патувањето:**

**а) Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07:30ч. Се патува преку Велес, (попатно панорамско разгледување на течението на реката Вардар); посета на Стоби, фотографирање и запознавање со неговото културно-историско значење, древен град кој со својот урбан дел се наоѓа на три тераси, што се спуштаат кон Црна Река, опкружени со ѕидови, на устието меѓу Црна Река и Вардар. Давање попатни информации за локалитетот „Маркови кули“. Посета на Битола: саат-кула и одмор за ручек. Посета на антички град Хераклеа. Продолжување на патувањето по што следна дестинација, односно место на престој е градот Охрид. Сместување во хотел во градот Охрид. Ручек. Одмор. Попладневни активности по програма: Посета на Старата чаршија и занаетчиските работилници. Враќање во хотелот. Вечера. Забава. Ноќевање.

**б) Втор ден:** Утринска гимнастика и раздвижување. Проверка на хигиена на собите. Појадок. Активности предвидени според училишната програма-изведување на настава. Ручек. Поаѓање за посета на стариот дел од градот: Античкиот театар, Самоилова тврдина, Плаошник, Св. Софија. Посета на куќата на Григор Прличев. Враќање во хотелот. Пишување на извештаи за истражувањата. Учениците се поделени во групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе се дојде во текот на изведените посети. Вечера и одмор - слободно време. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата. Активности-организирана забава и дружење. Ноќевање.

**в) Трет ден:** Утринска гимнастика и раздвижување. Проверка на хигиена на собите. Појадок. Активности предвидени според училишната програма - изведување на настава. Ручек. Разгледување на Охридското Езеро - прошетка, запознавање со крајбрежјето, флората и фауната. Посета на музејот „Заливот на коските, Св. Наум, манастирската црква, Биљанини извори, Враќање во хотелот. Вечера. Квиз натпревар од областа на знаењата со кои учениците се стекнаа. Активности: забава. Ноќевање.

**г) Четврти ден:** Утринска гимнастика и раздвижување. Проверка на хигиена на собите. Појадок. Активности предвидени според училишната програма-изведување на настава. Прошетка покрај езерото и средување на впечатоците од изведените прошетки.

Враќање во хотелот,  ручек и подготовки за враќање. Се патува за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово (попатно-панорамско набљудување на реката Радика и Полошката Котлина), со краток престој на Стража. Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**(Планирање за деновите во кои се реализираат  наставните содржини)**

| дата | **Наставни предмети** | **Наставни содржини** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| ПРВ ДЕН | | **Содржини (и поими): Одбојка** |
| | **1. ФЗО** | **Стандарди за оценување:** -Изведува техники на одбивање топка со прсти и подлактица во парови на различни растојанија преку ниско поставена мрежа.<br><br>**Активност:** Редење и подредување во редица и колона, комплекс вежби за обликување и развој на телото. Учениците изведуваат одбивање топка со прсти во одбојкарски ставови (средно и високо додавање, на помало и поголемо растојание). Учениците изведуваат одбивање топка со подлактици („чекан“) во одбојкарски ставови (средно и високо додавање, на помало и поголемо растојание). |
| | **2. Математика** | **Тема: Мерење**<br><br>**Содржини (и поими):** Должина, маса и зафатнина (именувани броеви – едноимени и повеќеимени, тон, декаграм).<br><br>**Стандарди за оценување:** Претвора поголеми во помали мерни единици (должина, маса, зафатнина) и обратно.<br><br>**Активност:** Учениците запишуваат мерења н должина, маса и зафатнина во децимални броеви, во центиметри, милиметри, грамови или милилитри (на пр. 1,54 m, 1,6 cm, 3,6 kg, 1,2 литри …). Посочување на разни сфаќања (по потреба). Следи групна работа: претворање поголеми во помали мерни единици (должина, маса, зафатнина) и обратно на дадени мерни броеви од наставникот на листови. |
| | **3. Македонски јаз.** | **Содржини (и поими):** Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови<br><br>**Стандарди за оценување:** Креира текстови со едноставни композициски структури на слободна или зададена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.<br><br>**Активности:** учениците се искажуваат за впечатоци по посетите. Им се дава упатства за писмено изразување „Моите впечатоци од посетените локалитети и објекти“. Им се посочува составот да ги содржи елементите: Вовед- добар почеток – замрзната слика; Главен дел- раскажување за настанот; Завршен дел – добар завршеток – порака. Писменото изразување да содржи што повеќе реченици збогатени со описни зборови и реченици кои ги искажуваат чуствата. Учениците пишуваат. Потоа следува читање на напишаното. |
| | **4. Природни науки** | ///////// |
| | **5. Англиски јаз.** | /////////////// |

| | | |
|---|---|---|
| **ВТОР ДЕН** | **1. ФЗО** | **Содржини (и поими): Одбојка**<br><br>**Стандарди за оценување**: -Изведува техника на школски сервис од помало и поголемо растојание на ниско поставена мрежа<br><br>**Активност:** Редење и подредување во редица и колона, комплекс вежби за обликување и развој на телото. Учениците изведуваат школски сервис на помало и поголемо растојание (во парови и колони преку ниско поставена мрежа). |
| | **2. Математика** | **Тема: Мерење**<br><br>**Содржини (и поими):** Должина, маса и зафатнина (именувани броеви – едноимени и повеќеимени, тон, декаграм).<br><br>**Стандарди за оценување:** Запишува мерења (должина, маса, зафатнина) како едноимен и повеќеимен број.<br><br>**Активности:** мерење на различни предмети/количини за да ги измерат нивните должини, маси или зафатнини и разновидна мерна опрема. Учениците треба ги запишат проценките пред мерењето. Усогласување на знаењата со претварање на единици мерки од претходниот час, со користење на карти, на пр. 1,5 kg и 1500 g. Пишување на едноимени и повеќеимени броеви од сите извржени мерења. |
| | **3. Македонски јазик** | **Содржини (и поими):** Читање и интерпретација на прозни текстови<br>(расказ, роман, раскажувач, содржина, настан, лик, тема, време, место, идеја)<br><br>**Стандарди за оценување:** -Опишува карактеристични особини и постапки на ликовите и релации меѓу ликовите во прозен текст и ги објаснува преку цитати што сам ги издвојува.<br>-Толкува идеи во текст и изразува став по однос на идејата.<br><br>**Активности:** Наставникот изразно го чита расказот „Ќилим“ -извадок од Автобиографијата на Григор Прличев. Се води разговор за впечатоците. Секој ученик добива насоки за самостојна работа – да најде и потцрта цитати (во наставниот лист со расказот) за карактерните особини, постапките на ликовите и нивниот однос кон другите ликови. Учениците читаат во себе, размислуваат и потцртуваат. Следи образложување и објацнување на потцртаното. Групна работа. Учениците се поделени во 4 групи и имаат задача да запишат идеи од текстот и нивно образложение- завземање ставови. на писателот . Следува презентирање на групите. |
| | **4. Историја и општество** | **Содржини (и поими):** Историски извори (материјални извори, пишани извори; археолошки наоѓалишта, архиви, музеи)<br><br>**Стандарди за оценување**: Ги именува видовите историски извори (материјални и пишани) и ги опишува според карактеристиките.<br><br>-Наведува примери за секој вид историски извор.Ги поврзува различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат(архив, музеј, библиотека).<br><br>**Активност:** Наставникот објаснува дека за историјата се учи преку податоци за минатото од различни извори кои може да бидат материјални и пишани. Учениците ги користат мобилните телефони за одговарање на прашања преку ментиметар – за секоја илустрација што им ја прикажува наставникот (на пример: историска мапа; фотографија на лице или настан од минатото; археолошка ископина, како на пример: монета или друг предмет; писмо или друг документ од минатото; дневник кој опишува настан од минатото или живот на позната личност), секој ученик индивидуално (или секоја група одделно, доколку се поделени во групи) определува дали дадената илустрација прикажува материјален или пишан извор. По секоја илустрација се објаснува точниот одговор и се коментираат графиконите на кои се претставени одговорите на учениците. На крајот учениците резимираат – ги групираат дадените примери во двата вида извори и наведуваат и други примери за секој вид. |
| | | **Содржини (и поими):** Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на |

| | | |
|---|---|---|
| **ТРЕТ ДЕН** | **1. Македонски јаз.** | **Содржини (и поими):** Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови<br><br>**Стандарди за оценување:** Креира текстови со едноставни композициски структури на слободна или зададена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила<br><br>**Активности:** Учениците добиваат задача да се потсетат на некоја интересна или возбудлива случка од сопствено доживување која би сакале да им ја раскажат на другите. Секој добива работен лист за да одговори на следните прашања: *Кој учествуваше?; Каде се случи?; Кога се случи?; Што се случи (што прво, што потоа...)?; Како се чувствуваше?; Зошто беше интересно/возбудливо?* Откако ќе се одговорат прашањата, учениците се делат во групи. Секој ученик, во рамки на својата група, им ја раскажува случката на другите, при што треба да ги опфати сите претходно дадени одговори на прашањата, со полна слобода да го менува нивниот редослед. Секоја група ги избира најинтересните/највозбудливите случки и сите ученици од групата им помагаат на учениците чии случки се избрани да ги запишат тие случки. Ученик кој не учествувал во избраната случка ја прераскажува пред сите. На крајот сите ученици ги избираат најинтересните/највозбудливите настани и заеднички ги прераскажуваат за да состават збирка на раскази од нивните доживувања. |
| | **2. Математика** | **Содржини (и поими):** Должина, маса и зафатнина (именувани броеви – едноимени и повеќеимени, тон, декаграм)<br><br>**Стандарди за оценување:** Го користи заокружувањето на мерењето (должина, маса, зафатнина) до најблиската цела мерна единица за проценка.<br>Активности: Повторување за заокружување на броеви преку повеќе конкретни примери. Мерење на должини на предмети во училницата, запишување на точните резултати од мерењата, а до нив заокружените резултати.Воочување кога и зошто е потребно заокружување, а кога не недозволливо. Следи мерење на предмети на вага, запишување на масата и заокружување, дискусија за потребата од заокружување<br><br>Потоа се мери зафатнина натечност со мерица, се запишуваат точните и заокружените резултати, дискусија за потребата од заокружување и когаа не смее да се заокружува. |
| | **3/4. Техничко образование и информатика**<br><br>**5. Музичко обр.** | ***//////////***<br>**Тема: Слушаме музика**<br>**Содржини (и поими): Народно музичко творештво (народни песни, игри, канон, зурла)**<br>**Стандарди за оценување: Разликува карактеристични народни песни и народни игри/ора од етничките заедници во Република Северна Македонија.**<br>• Го опишува карактерот на слушаното дело и го поврзува со музички изразни средства преку кои е постигнат.<br><br>**Активности:** Преку слушање на народната песна „Билјана платно белеше“ во различни обработки учениците ги споредуваат изведувачкиот манир, инструментите и другите карактеристики на жанровите. |

| | | |
|---|---|---|
| ЧЕТВРТИ ДЕН | 1. ФЗО | **Содржини (и поими): Одбојка**<br>**Стандарди за оценување:** Применува елементи во игра (мини одбојка) на ниско поставена мрежа со примена на елементарни правила<br>А**ктивности:** Редење и подредување во редица и колона, комплекс вежби за обликување и развој на телото. Учениците играат мини одбојка со примена на научени елементи и елементарни одбојкарски правила 4 : 4 (натпреварување). |
| | **2.Историја и општство** | **Содржини (и поими): Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (Кокино, Стоби, Хераклеја, Самилова тврдина)**<br>**Стандарди за оценување:** -Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава**.**<br>-Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (на географска карта и на временска лента).<br>**Активности:** Наставникот користи визуелни презентации и преку непосредното набљудување за следните археолошки наоѓалишта во нашата држава: Кокино (http://tours.rcku.org.mk/eu/Kokino/), Стоби (https://macedoniafromabove.mk/stobi/), Хераклеја (https://bitola.info/heraclea-lyncestis- bitola/ ), Самилова тврдина (http://macedoniafromabove.mk/ohrid/index.htm). Секое одделно наоѓалиште учениците прво го гледаат преку виртуелна тура. Потоа, поделени во групи, опишуваат што виделе при непосредното набљудување, што било исто, а што дополнително виделе во виртуелните презентации и обратно, и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента. |
| | **3. Македонски јаз.** | • **Содржини (и поими):** Читање и интерпретација на песни за деца<br>(мотив, хумористични песни, пејзажни песни, патриотски песни, стих, строфа, рима, поетска слика)<br>• **Стандарди за оценување:** -Изразно чита и рецитира песни за деца.<br>-Ги идентификува поетските слики и ги поткрепува со стихови од песната.<br>**Активности:** Наставникот изразно ја чита песната „Полско училиште“. Учениците читаат по строфи. После секоја прочитана строфа по еден ученик ја опишува поетската слика. Вежби за во изразно читање и бирање на најдобар рецитатор. Следува ликовно изразување на омилена поетска слика од песната. |
| | **4. Англиски јаз.** | ////////////////////////////////////////// |

**4.**

| | | |
|---|---|---|
| **ЧЕТВРТИ ДЕН** | **5. Математика** | **Содржини (и поими):** Должина, маса и зафатнина (именувани броеви – едноимени и повеќеимени, тон, декаграм)<br><br>**Стандарди за оценување:** Решава реални проблемски ситуации со користење мерни единици (должина, маса, зафатнина).<br><br>**Активности:** Учениците , поделени во парови, подредуваат должини изразени во различни единици, почнувајќи од најкратката, на пример: 35,7 m; 353 cm; 1 049 метри; 11 495 центиметри; 1 864 милиметри; 1 009 метри; 11 km. *Како знаете дека оваа должина е подолга од другата? Можете ли да претставите должина која спаѓа помеѓу овие две должини... во mm, cm, m, km?*<br>Учениците решаваат текстуални задача со повеќе одговори, во контекст на должина, маса или зафатнина. На пример: Јаболкото тежи 56 g, кајсијата тежи 78 g, портокалот тежи 123 g и бананата тежи 92 g. Јас имам торба која може да собере максимум 1 kg. Кои и по колку од нив може да ги ставам во торбата? Истражете повеќе можности! Анализа на решенијата |

**РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ**

**а) Раководител на екскурзијата**: Светлана Николовска.

**б) Одговорни наставници**: Благица Секуловска и Светлана Николовска,

**в) Носители на активности:** учениците од V-а одд. и V-b одд со одделенски наставници.

**5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** 4 дена .

**6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:**

**Локалитети и објекти:** Скопје, Велес, Стоби, Прилеп, Битола, Хераклеа, Ресен, Охрид: Лихнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина, Св. Наум, реката Радика, Национален парк „Маврово“, Кичево, Гостивар, Тетово, Скопје

***Велес***

***Стоби***

*Прилеп*

*Битола*

*Охрид*

*Маврово*

*Тетово*

**Правец на патување**: Скопје-Охрид-Скопје




**7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водачи, лекар.

**8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат родителите за финансискиот износ на наставата во природа. Самофинансирањето од страна на родителите се одвива преку уплаќање на жиро сметка.

**9. НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

Во текот на патувањето, престојот и посетите на сите предвидени места континуирано ќе се следи и насочувт однесувањето и активностите на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората

и фауната во Охридско Езеро, индивидуално и групно изложување на подготвени трудови, разговори со стручни лица и жители од околината на Охрид) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ:**

Учениците треба да бидат сместени во хотел со минимум 3 ѕвезди, во градот, на крајбрежјето на Охридското Езеро**.** Хотелот треба да ги поседува потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Хотелот да понуди доволен број на соби (трикреветни и четирикреветни) за да се сместат учениците, да содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена како и соодветни училници за изведување на настава.

Хигиената во кујната и другите простории во хотелот треба да се одржуваат на високо ниво, а уредеността на трпезарија и другите пропратни простории треба да придонесат за пријатен престој на учениците. Хотелот треба да располага со спортски објекти и терени во непосредна околина кои ќе придонесат за непречено реализирање на спортко-рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и друго.

Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така треба да се реализира во објектот кој треба да понуди услови и простор за тоа.

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во претпладневните часови.

ЗАБЕЛЕШКА: Содржините од наставните предмети кои ги реализираат наставниците по Англиски јазик, Природни науки и Техничко образование и информатика (според распоредот на паралелката ) тековно ќе бидат реализирани во учебната година.

**КУЌЕН РЕД**

- Будење на учениците во 7 часот.

- Утринска гимнастика и раздвижување. Проверка на хигиена на собите.
- Организиран појадок до 8.00-9.00 часот.
- Почеток на првиот час во 9 часот и завршување во 12 часот.
- Ручек од 13часот до 14 часот
- Прошетки и посети
- Попладневен одмор и ужина 16.00-16.30часот
- Слободни активности од 16.30 до 17.15 часот
- Организирање спортски натпревари од 17.30ч до 19.00 часот
- Вечера од 19.00ч до 20.00 часот
- Забава и други активности
- Ноќевање 22 часот.

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ

## Учебна 2023/2024 год

**Вид на туризам**: домашен

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење :** еднодневна

**Време на реализација**: април/мај

**Опфатеност на ученици:** IIIа, IIIб одделение

1. **Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање на учениците со културата на етничките заедници што живеат во нашата држава, за примена на меѓуетничка интеграција во бразованието.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата .
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво оптествено живеење.

2. **Задачи:**

- учениците да се запознаат со значењето на Шарената џамија, Тетовско кале, Лешочкиот манастир Св. Атанасиј и црквата Св. Богородица од страна на стручно лице;
- да се рекреираат на отворен простор со реализација на елементарни и спортски игри;
- Да се создадат еколошки навики преку водење грижа за природата и складирање на отпадоците на одредени места.

**3.Содржина на активности:** разгледување на верските објекти, набљудување, насочено внимание, рекреација, спортување, дружење, фотографирање.

**4.Раководител, наставници, ученици, времетраење.**

**а) Раководител на екскурзијата: Сузана Танева**

**б) Одговорни наставници**: Сузана Танева и Славица Мојсоска

**в)Носители на активности:** учениците од III-а и III б одд со одделенските наставници Сузана Танева и Славица Мојсоска

**5. Времетраење:** еднодневна**.**

**6.Локации за посета и правци на патување:**

**а) локации:** Тетово - Шарена џамија и Тетовско кале, Лешок - манастирот ,,Св.Атанасиј'' и црквата ,,Св.Богородица'' во Лешок.

**б) Правец на патување:** Скопје –Тетово – Лешок – Скопје

**7. Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водачи ,лекар

**8. Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**Реализација на екскурзијата**

**Поаѓање :** пред училиштето во 7часот и 30 мин со краток состанок со учениците

**Релација на движење** :Скопје –Тетово- Лешок -Скопје.




**Посета:** на Тетовскиот регион

Се патува за Тетово –попатно на учениците им се објаснува за Стопанскиот развој и културно историските знаменитости во тој регион.

Пристугнување во Тетово и посета на Шарената џамија и Тетовско кале. Упатување кон Лешок, разгледување и запознавање со манастирот,, Св.Атанасиј" и црквата ,,Св.Богородица". Запознавање на учениците со историското значење на манастирот,, Св.Атанасиј" и црквата ,,Св.Богородица", запознавање за животот и делото на Кирил Пејчиновиќ. До 15 часот игри на отворено, прошетка во природа, рекреација.

15 часот учениците се подготвуваат за враќање.

**Враќање:** тргнување во 15 часот, пристигнување во 16 часот.

***Тетовско кале*** *или Балтепе*

*Св. Атанасиј*

**Програмата ја изготвиле тимот за екскурзии**

**1. Александра Петковска–Анастасов -директор**

**2. Мартина Христова**

**3. Ива Количев**

**4. Лорета Станковиќ**

**5. Сузана Танева**

## 17. Кодекси и куќен ред

### КОДЕКС на однесување на учениците

1. Доаѓај редовно и на време на училиште – 15 минути пред започнување на првиот час !
2. Биди пристојно облечен/на !
3. Грижи се за личната хигиена и хигиената во училишните простории и училишниот двор !
4. Исполнувај ги своите училишни задолженија најдобро што можеш !
5. Не користи непристојни зборови !
6. Однесувај се пристојно и почитувај ги возрасните и соучениците !
7. Не предизвикувај и не учествувај во физички пресметки и караници !
8. Не ја попречувај работата на наставниците !
9. Исклучувај го мобилниот телефон за време на часот !
10. Чувај го и грижи се за училишниот инвентар и зграда, за направената штета на бидеш одговорен!
11. Не носи вредни предмети и многу пари во училиште. Доколку ги изгубиш одговорноста е твоја!
11. Не го напуштај часот и училиштето без дозвола на наставникот !
12. Доколку имаш потреба од некаква помош обрати се кај одделенскиот раководител, стручната служба или директорот!
13. Доколку имаш некаков проблем обрати се во стручната служба!

### КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕЖУРЕН УЧЕНИК

1. Дежурството го изведуваат по двајца ученици од предметна настава (осмо и деветто одделение) на влезот во ходникот;
2. Дежурниот ученик доаѓа на училиште 10 минути пред почетокот на часовите и ги извршува своите обврски заедно со одговорниот дежурен наставник и обезбедувањето, а заминува по завршување на седмиот час
3. Дежурниот ученик се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;
4. Дежурниот ученик се оддалечува од одредените места само ако добијат задача од наставник, стручната служба или директорот;

5. **Дежурниот ученик не смее да собира други ученици на местата за дежурање, ниту пак самите дежурни да се групираат заради дружење;**
6. **Дежурниот ученик мора да отиде на час доколку прави писмена работа, тест или треба да одговара по некој предмет, но претходно да се јави кај дежурниот наставник;**
7. **Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;**
8. **Дежурниот ученик повремено да се движи низ ходниците и да врши проверка;**
9. **Дежурниот ученик го евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;**
10. **Доколку посетителот е родител, дежурниот ученик го повикува наставникот, а доколку е посетител за кај директор, стручна служба или секретар, дежурниот ученик го носи посетителот до соодветната канцеларија**
11. **Дежурниот ученик ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите и учениците кои се однесуваат несоодветно.**

## КОДЕКС
## на однесување на родителите

1. **Родителот го почитува куќниот ред на училиштето.**
2. **Со своето однесување родителот претставува позитивен пример за своето дете.**
3. **Родителот се грижи неговото дете редовно и навремено да ја посетува наставата.**
4. **При посета на училиштето родителот треба да биде присстојно облечен.**
5. **Родителот континуирано се интересира за успехот на своето дете и редовно се информира за истиот на индивидуални или родителски средби.**
6. **Посетите во училиштето родителот ги врши во терминине за прием на наставникот.**
7. **При влегување во училиштето родителот има обврска да се пријави кај дежурниот ученик или кај обезбедувањето.**
8. **Родителот ја почитува целокупната работа на училиштето и со почит се однесува кон наставниците, вработените, учениците и останатите родители.**

9. **Родителот е активен соработник на училиштето, активно учествува во реализација на сите планирани активности во одделението каде што учи неговото дете како и во активности на ниво на училиште.**
10. **Родителот не врши притисок на наставникот за добивање повисока оценка на своето дете.**
11. **Родителот редовно и навремено одговара на повик од наставник или стручна служба.**
12. **Родителот навремено го оправдува отсуството на своето дете.**
13. **Родителот навремено го информира одделенскиот раководител за сите важни промени и случувања во животот на неговото дете.**
14. **Родителот навремено ги подмирува финансиските обврски (исхрана, списанија, екскурзии и слично).**
15. **Родителите кои ги земаат своите деца од училиште ги пречекуваат пред влезот на училиштето.**

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ

**1.Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;**
**2. Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;**
**3. Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;**
**4. Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;**
**5.Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;**
**6. Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;**
**7. Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;**
**8. Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;**
**9. Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;**
**10.Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;**
**11.Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;**
**12. Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;**
**13. Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;**
**14.Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;**
**15. Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;**
**16.Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;**

**17. Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;**
**18. Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;**
**19.Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;**
**20. Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;**
**21. Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;**
**22. Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;**
**23.Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;**
**24.Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;**

## КОДЕКС на однесување на другите вработените

**1.Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за основно образование;**
**2.Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;**
**3.Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;**
**4.Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;**
**5.Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;**
**6.Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;**
**7. Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;**
**8.При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;**
**9.Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;**
**10.Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;**
**11.Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;**
**12. Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;**

**13.Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;**
**14.Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето;**

## КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ ЗА ДИРЕКТОРОТ, НАСТАВНИЦИТЕ ИОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ

- **Облеката на наставниот кадар и стручната служба треба да биде формална ипрофесионална, а не секојдневна лежерна облека;**
- **Мажите треба да носат испеглани кошули и блузи, пристојни панталони, не искинати фармерки, Кратките панталони и тренерки не се дозволени;**
- **Жените треба да носат здолништа (фустани) кои имаат пристојна должина, кои не се премногу тесни и кратки, непросирни кошули или блузи кои нема да бидат кратки ниту многу отворени, , костими со панталони. Не смее да се носат хеланки и фармерки;**
- **Дозволено е носење на накит кој нема остри врвови и не е премногу нападен;**
- **На часовите по физичко и здравствено образование наставниците треба да носат тренерки и патики.**
- **Техничкиот персонал потребно е да ја носи својата работна облека при работатаво училиштето;**
- **Сите вработени треба да внимаваат на својата лична хигиена;**
- **Косата сегокаш треба да биде чиста и уредна;**
- **Обувките на наставниците треба да се лично за нив удобни, пожелно е даодговараат на професијата, видот на чевли или чизми може да варира, но да не сепровокативни (не смее да сеносат папучи или апостолки**
- **Премногу светликава и премногу украсна облека не треба да се носи;**
- **Просирна облека и тесна облека која што истакнува одредени делови од телото(општо прифатени како провокативни), не треба да се носи;**
- **Долната облека не смее да биде видлива или да се познава под облеката;**
- **Можат да се носат обетки или накит што се дискретни**

**Што не треба да се носи**

- **Отворена или екстремно тесна облека, скинати фармерки, тесни панталони илипремногу кратки здолништа;**
- **Облека која ја истакнува или отцртува долната облека;**
- **Шорцеви;**
- **Претесни панталони и хеланки;**
- **Апостолки или јадранки (освен ако не е со препорака на доктор);**
- **Премногу дречлива или премногу украсена облека;**
- **Тренерки (освен за наставниците по спорт и спортски активности);**
- **Блузи без прерамки, фустани со голи рамена, тесни прерамки или тенки врвциоколу вратот;**
- **Облека со политички симболи.**

**Овој документ нема за цел да ја идентификува непристојната облека, напротив ова се насоки како треба да изгледа наставникот и вработените во нашето училиште во согласност со нашата култура, популација и окружување.**

**КОДЕКС**
**за однесување во училишната спортска сала**

1. **Сите присутни во училишната спортска сала и помошните простории на салата се должни да се однесуваат пристојно и спортски;**
2. **За време на одморите и часот, учениците се должни да се однесуваат особено внимателно и да се грижат за својата и безбедноста на другите ученици;**
3. **Учениците се должни да носат спортска облека и обувки по упатство дадено од предметниот наставник;**
4. **Учениците кои од оправдани причини не можат да вежбаат, исто така се должни да носат спортски обувки за во сала;**
5. **Учениците се должни да ги користат машката и женската соблекувална за пресоблекување и одлагање на облеката за време на часот;**
6. **Учениците се должни вредните работи да ги одложат на место одредено од предметниот наставник;**
7. **Учениците не смеат да ги користат спортските справи и реквизити без присуство на предметниот наставник и без негово одобрение;**

8. **Учениците се должни да внимаваат и да не ги оштетуваат спортските реквизити и целокупниот инвентар во спортската сала и помошните простории;**
9. **Учениците се должни да се грижат за личната хигиена и уредноста на салата и соблекувалните;**
10. **За време на часот учениците може да ја напуштат салата само заради оправдани причини и по одобрение на предметниот наставник.**

## КУЌЕН РЕД

**1. Наставата започнува во 8.00 часот**
**2. Во училиштето се влегува без викање, свиркање и правење неред;**
**3. Вработените, учениците и родителите треба во училиштето да доаѓаат пристојно облечени;**
**4. За време на часовите учениците не смеат да се движат и задржуваат во ходниците, освен во времето определено за одмор.**
**5. Учениците не смеат во училиштето да внесуваат предмети и материјали кои не се дел од училишниот прибор, особено доколку со нив може да се загрози безбедноста на учениците и вработените.**
**6. Секој ученик е должен до го чува училишниот инвентар;**
**7. Дежурните ученици од секоја паралелка се грижат за редот, дисциплината и хигиената во училницата;**
**8. Дежурните наставници редовно го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот даден од стручната служба и директорот**
**9.Дежурните наставници се грижат за редот, дисциплината и хигиената во училиштето;**
**10. За време на часовите, во ходникот дежураат по двајца ученици на определено место во холот**
**11.По завршување на наставата и другите воннаставни активности учениците не смеат да се задржуваат во училишната зграда.**
**12.Промена на дневниот распоред на часови поради отсуство на наставник, прави одговорниот наставник**
**13.За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот;;**
**14.Родителите ќе се примаат само во одредени термини кај одделенските и предметните наставници, а кај стручната служба според условите и потребите;**
**15.Не е дозволено користење на мобилни телефони од страна на наставниците и учениците за време на час**
**16.Учениците по пат од дома до училиште и обратно треба да се пристојни и дисциплинирани**
**17.Сите субјекти наведени во претходната точка мора да го почитуваат куќниот ред во училиштето**
**18.За оние кои нема да се придружуваат на одредбите од Куќниот ред се превземаат соодветни педагошки мерки.**

## 18. ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО

| ред.број | Содржини на работа | Постигнати цели | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Формирање на тим за оценување** | објективно оценување | директор<br>стручна служба<br>наставници | септември |
| 2 | **Изработка на план за писмено оценување** | правилна распределба на писмената проверка | наставници<br>стручна служба | септември |
| 3 | **Посета на часови и увид во дневните планирања и годишните планирања<br>( стандарди и критериуми за оценување)** | континуирано и објективно оценување | директор<br>стручна служба | континуирано |
| 4 | **Следење на оценувањето по квартали** | квалитетно оценување, следење на успехот на учениците | директор<br>стручна служба | ноември, јануари, април,јуни |
| 5 | **Изготвување на процедура за поплаки и жалби по добиена оцена** | задоволување на правото за поплаки и жалби по добиена оцена | стручна служба | мај |
| 6 | **Анализа на оценувањето** | изготвување на компаративни анализи | стручна служба | јуни |

**Тим во состав на :** директор, психолог, педагог и дефектолог

## 19. ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

| Содржини и активности | Цели | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Избор на комисија од редовите на наставниците, учениците, родителите | Квалитетна исхрана за учениците (ужинка и топол оброк) | Директор<br>-наставници<br>-ученици<br>-одители | јули септември | Понуди од разни фирми производители на квалитетна исхрана | Избор на квалитетна храна и здрава храна за учениците |
| Обезбедена ужинка за учениците Обезбедување топол оброк за учениците од целодневна настава | Грижа за обезбедување квалитетна исхрана на учениците | Наставници<br>-директор<br>-ученици<br>-родители | Преку цела година | Понуди од фирми кои доставуваат храна за учениците<br>-договарање | Обезбедување здрава храна за учениците |
| Предавања за важноста за | Превенција од болести | Лекари предавачи од | По барање на | Разговори<br>-отворени | Здрава младина<br>-зголемување на свеста кај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| создавање на хигиенски навики | - создавање на хигиенски навики кај учениците за одржување на личната хигиена | заводите за здр.заштита | училиштето или пак по програмите на Заводите | трибини | учениците за важноста на здравјето |
| Осигурување на учениците | Заштита на учениците од повреди | Наставници<br>-родители<br>-комисија за осигурување на учениците | септември | Формулари<br>Разговори со агенции за осигурување | Сигурност на учениците од евентуални повреди во училиште |
| Запознавање на учениците со штетните последици од употребата на алкохол | Укажување на штетноста од конзумирање на алкохол | -стручна служба | октомври | Предавање | -Создадена свест кај учениците за штетноста од овој порок<br>-формирање негативен став кон пороците |
| Организирање рекреативни екскурзии(есенска, зимска, пролетна и тридневни | Запозн.на учениците дека екскурзиите позитивно делуваат на здравјето на учениците | Наставници<br>-директор<br>-родители<br>-комисија за изведување на ексурзии | Во текот на целата година | Разговори<br>-посета на рекреативни места<br>-историски знаменитости | Другарување на учениците меѓу себе<br>-создавање љубов кон прир.убавини<br>-спортување<br>-создавање навики за чување на природата и природните убавини |
| Запознавање на учениците со штетните последици од употребата на цигарите | Укажување на штетноста од конзумирање на цигарите | -стручна служба | ноември/декември | Предавање | -Создадена свест кај учениците за штетноста од овој порок<br>-формирање негативен став кон пороците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на учениците со видовите дроги, нивните дејства и штетните последици од нивната употреба | Укажување на штетноста од конзумирање на наркотични средства | -стручна служба | февруари | Предавање | -Создадена свест кај учениците за штетноста од овој порок<br>-формирање негативен став кон пороците |
| Превенција од сексуално преносливи болести | Учениците да се запознаат со сексуано преносливите болести и начините за превенција | -стручна служба<br>-Црвен крст | април | Презентација брошура | -Информаирани и здрави ученици |
| Изготвување извештај за активностите | Запоз.со активн.кои се одвиваат преку цела година | Наставници<br>-директор<br>-комисија | Во текот на годината | Записници-одд.дневник<br>-извештаи | Збогатување на знаењата за грижа за здравјето на учениците |

## 20.Програма за културна и јавна дејност за учебната 2023-24 година

| Ред. бр. | Програмска содржина | Активности | Носители и учесници | Одговорни наставници | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Прием на првачиња | Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња | Наставници од одделенска и предметна настава, ученици | Ива Количев,Ленка Пешевска,Николета Нестор,Валентина Славковска,Сузана Аксеновска -Димовска | септември |
| 2. | 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија | Слушање на химната на РМ преку разглас, изработка на знамиња, пишување на пораки посветени на татковината, украсување на училишното пано со фотографии од Македонија, истакнување на Декларацијата за независност на РМ, | Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одд. | Лорета Станковиќ Сузана Аксеновска - Димовска Мартина Христова **Одговорен за уредување на паното**:**Лорета Станковиќ** | 07.09.2023 |
| 3. | Европски ден на јазиците | Изработка на хамери, пораки, знамиња, поздрави на различни јазици | Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одд. | Тереза Блажевска, Хилда Стефковска,Фросина Димитровска **Одговорен за уредување на паното: Фросина Димитровска** | 27.09.2023 |
| 4. | Прием на деца во Детска организација | Приредба<br>-слики од деца од сите раси и бои<br>- истакнување на правата на децата, Конвенција за правата на детето на ООН | Наставници, ученици | Христина Јанева Пандорка Јовчевска Драган Печевски **Одговорен за уредување на паното:Христина Јанева** | Октомври |
| 5. | Ден на учителот | Ученикот во улога на наставник | Наставници и ученици | сите наставници | 05.10.2023 |
| 6. | 11 Октомври - Ден на востанието на македонскиот народ | Уредување на паноата во училишниот хол, читање историски информации преку училишниот разглас, следење на видео записи | Наставници и историска секција | Лорета Станковиќ Тоше Столески, Дарко Ангелов **Одговорен за уредување** | 10.10.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **на паното: Тоше Столески** | |
| 7. | 23 октомври Ден на револуционерната борба | Фотографии од истакнати македонски револуционери, фотографии од основачите на ВМРО, истакнување на целите и мотото на револуционерната борба, посета на Музејот на македонската борба за самостојност | Ликовна и историска секција, ученици од I до IX одд. | Лорета Станковиќ Јулија,Никовска Пешевска,Елена тасевска ,Благица Секуловска Мартина Христова **Одговорен за уредување на паното: Јулија,Никовска Пешевска** | 20.10.2023 |
| 8. | Есен во Гази Баба | Литературно-еколошка манифестација | Директор на училиштето, наставници, ученици | Фросина Димитровска Јулија Никовска-Пешевска,Елена Тасевска Татјана Силјаноска-Гочкова Елена Владев Апостолов,Валентина Славковска, | Октомври |
| 9. | 13 Ноември Ден на ослободувањето на Скопје | Творење песни и состави на тема Моето слободно Скопје, уредување на паното во училишниот хол со фотографии од Скопје, читање на разглас информации за градот и значењето на имињата на населбите во Скопје, слушање песни за Скопје преку разглас, разгледување на центарот на градот, споменици посветени на ослободувањето на градот | Литературна, ликовна и историска секција | Сузана Танева,Славица Мојсоска,Тоше Столески **Одговорен за уредување на паното: Сузана Танева** | 13.11.2023 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Ден на просветителот Климент Охридски | Уредување на паното во училишниот хол со фортографии и мисли од Климент Охридски, првиот словенски Универзитет, читање реферат преку разглас | Ликовна секција, наставници, ученици од I до IX одд. | Татјана Силјаноска-Гочкова, Елена Тасевска ,Ива Количев,Даниела Ристеска **Одговорен за уредување на паното:Татјана Силјаноска-Гочкова** | 07.12.2023 |
| 11. | Нова Година | Рачно изработени украси во сите училници и холот на училиштето,изработка на новогодишни честитки, новогодишна забава за сите ученици | Наставници и ученици од I до IX одделение | Елена Владев Апостолов,Ленка Пешевска,Николета Нестор, Јулија Никовска-Пешевска Валентина Славковска Хилда Стевковска Сузана Димовска Аксеновска **Одговорен за уредување на паното и украсување на холот: Јулија Никовска-Пешевска, Валентина Славковска** | 16-29.12.2023 |
| 12. | Одбележување на смртта на Григор Прличев | Украсување на паноата во училниците и холот со фотографии (од Прличев, извадоци од делата на Прличев, поважни податоци од неговиот живот, слушање на химната на Григор Прличев, истакнување на текстот на химната во училишниот хол, положување цвеќе на бистата во училишниот двор,изработки од | Наставници и ученици од I до IX одделение | Татјана Силјаноска-Гочкова, Елена Тасевска Благица Секуловска,Сузана Николовска **Одговорен за уредување на паното:Елена Тасевска** | 02.02.2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ученици | | | |
| 13. | 8 Март Ден на жената | Изработка на честитки, фотографии и мисли од истакнати и познати жени низ историјата | Наставници и ученици од I до IX одделение | Ленка Пешевска, Соња Мицевска-Тоточевска Сузана Танева Сузана А.Димовска **Одговорен за уредување на паното: Соња Мицевска-Тоточевска** | 08.03.2024 |
| 14. | 21 Март Ден на пролетта и екологијата | Засадување цвеќиња во училишниот двор, чистење на училишниот двор, уредување на училишниот хол | Еко тим | Христина Јанева, Тереза Блажевска, Славица Мојсоска Љубинка Стоименова, Христијан Христовски **Одговорен за уредување на паното: Љубинка Стојменова** | 21.03.2024 |
| 15. | Патронат на училиштето | Приредба - литературен и ликовен конкурс и избор на најдобра литературна творба, презентација на изработки на учениците од I до IX одд. | Наставници и ученици од I до IX одделение, родители | Николета Нестор,Мартина Христова,Христијан Христовски,Тереза,Блажевска,Елена Владев Апостолов,Ива Количев | 25.03.2024 |
| 16. | 1 Април Априлијада | Маскирање, дефиле на учениците во училишниот двор, избор на најоригинална маска | Наставници и ученици од I до IX одделение | Христина Јанева,Пандорка Јовчевска,Дарко Ангелов | 01.04.2024 |
| 17. | Ден на планетата Земја | Изработки од ученици,презентација | Наставници и ученици од I до IX одделение | Еко тимот,Хилда Стефковска | 22.04.2024 |
| 17. | Велигден | Украсување и изработка на велигденски јајца и украси | Наставници и ученици од I до IX одделение | Соња Мицевска-Тоточевска Ленка,Пешевска | Април |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Даниела Ристеска,Драган Печевски | |
| 18. | 1 Мај – Ден на трудот | Читање кратки историски информации за денот на трудот, истакнување фотографии на училишното пано од историската борба на работниците за своите права | Историска секција, Наставници и ученици од I до IX одделение | Лорета Станковиќ, Сузана Аксеновска Димовска **Одговорен за уредување на паното:Лорета Станковиќ** | 30.04.2024 |
| 19. | Годишнина од смртта на Гоце Делчев | Посета на гробот на Гоце Делчев, фотографии, уредување на паното со фотографииод Гоце Делчев, мисли за Македонија, читање реферат за животот, дејноста и значењето на Гоце Делчев,читање литературни творби посветени на Гоце Делчев, читање извадоци од лектирното дело ,,Гоце Делчев”-Ванчо Николески положување свежо цвеќе на гробот на Гоце Делчев | Историска секција, Наставници и ученици од I до IX одделение, | Лорета Станковиќ, Тоше Столески Благица Секуловска,Светлана Николовска,Славица Мојсоска **Одговорен за уредување на паното: Тоше Столески** | 03.05.2024 |
| 20. | 5 Мај- Ден на македонскиот јазик | Уредување на училишното пано, литературни творби на тема ,,Македонскиот јазик”, читање реферат преку разглас, изработка на презентација и споделување во сите паралелки | Наставници и ученици од I до IX одделение, | Татјана Силјаноска-Гочкова,Елена Тасевска,Христина Јанева Сузана Танева **Одговорен за уредување на паното:Татјана Силјаноска-Гочкова** | 06.05.2024 |
| 21. | Ден на победата над фашизмот | Читање реферат преку училишниот разглас, украсување на паното во училишниот двор, следење документарен филм | Историска секција, ученици од I до IX одделение | Лорета Станковиќ, Мартина Христова **Одговорен за уредување на паното:Лорета Станковиќ** | 08.05.2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Ден на прсветителите Св. Кирил и Методиј | Кратки информации преку разглас за животот и дејноста на сесловенските просветители,истакнување на училишното пано првата словенска азбука –глаголицата ,текстови пишувани со глаголица ,фотографии,мисли од просветителите, литературни творби посветени на Св.Кирил и Методиј, изработка на презентација за животот и дејноста на Св.Кирил и Методија | Ликовна , библиотекарска секција, ученици од I до IX одд. | Татјана Силјаноска-Гочкова<br>Ива Количев,Елена Тасевска ,Елена Владев Апостолов<br>Светлана Николовска<br>**Одговорен за уредување на паното:Елена Тасевска** | 23.05.2024 |
| 23. | Промовирање на постигнатите резултати и промовирање на првенец на генерацијата | Свечено доделување пофалници и благодарници на учениците и доделување сет книги на ученикот на генерација. | Наставници, ученици, директор на училиште | Директор на училиштето, стручна служба | 10.06.2024 |
| 24. | Испраќање на полуматурантите | Свечено испраќање на деветоодделенците, организирање полуматурска забава, свечено обраќање на директорот | Директор, ученици од I до IX одд. | Лорета Станковиќ, Татјана Силјаноска-Гочкова | 10.06.2024 |
| **Забелешка: програмата може да се дополни и тековно со активности кои ќе бидат дадени како предлози од учениците и ученичкиот парламент. Одговорните наставници до комисијата за јавна и културна дејност да испратат извештај и фотографии од реализираните активности.** | | | | | |

Изработиле:
Лорета Станковиќ
Татјана Силјаноска-Гочкова
Светлана Николовска

## 21. АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

### Општи карактеристики и цели на проектот

Развојот на демократијата во РСМ претставува заложба на граѓаните и власта, уште од почетокот на осамостојувањето и формирањето на современата македонска држава. Идеалот и стремежот е држава во која при исполнувањето на обврските и почитувањето на законите нема да бидат важни полот, верата, нацијата, професијата, возраста и други видови на разлики кои може да се појават, односно држава во која сите ќе бидат еднакви граѓани.

Демократијата и нејзиното приближување кон граѓаните е од суштествено значење за учениците, а какво општество ќе градиме е во зависност од тоа какво образование поседуваме. Низ процесот на образование учениците треба да ги осознаат и почитуваат принципите на развиеното демократско општество, односно да развијат вештини за функционирање во демократско опкружување.

Со мотото **„Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“** се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:**

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;

б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;

в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;

г) запознавање на поширокатa јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;

д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;

ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;

е) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата

Трите нивоа се:

а) разбирање или препознавање - проста репродукција на знаења, како најниско ниво;

б) сфаќање или разбирање на поими, настани и сл., - како повисоко ниво кое бара мисловна активност на ученикот и

в) повисоки нивоа на знаења (анализа, синтеза и др.) - како највисоки нивоа на знаења, во кои ученикот ќе треба да употреби сложени мисловни процеси.

**2. Цели на проектот**

Ученикот/ученичката е потребно:

●да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;

●да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;

● да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;

●да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;

●да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

● да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во нашата држава и механизмите преку кои таа делува;

●да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;

●да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

➢ да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на нашата држава .

**3. Поими**

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

**4. Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)**

а) Носечка реченица:

***Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.***

б) Други реченици посветени на корупцијата:

*Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.*

*Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои!*

*Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.*

*Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.*
*Со корупција сите плаќаат двојно.*

**5. Конкретни цели и активности**

| Содржина | Цели | Вид на активност | Активности |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност;<br>да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност;<br>дискусија;<br>кусо предавање |
| Стекнување на основни знаења за корупција и | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален | Предавање и вежби | Предавање;<br>power point презентација; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| антикорупција | притисок, етичност;<br>да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;<br>да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството; | | дискусија;<br>крстозбор |
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“;<br>да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;<br>да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност;<br>дискусија;<br>кусо предавање |
| Активна борба против корупцијата: постери | Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата;<br>да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за | Работилница | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | потребата од едукација;<br>да се стават во улога на<br>активни граѓани кои ќепридонесат за развојот на<br>граѓанската култура во<br>современото општество | | |
| Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата | Да се утврдат знаењата на<br>учениците;<br>да се види дали учениците<br>научиле од проектот<br>„Програма за антикорупциска<br>едукација на учениците од<br>основните училишта“ | Прашалник за<br>учениците и<br>активности за<br>повторување | Пополнување на<br>прашалникот од<br>страна на учениците |
| Ликовен и литературен конкурс на тема: „Корупција- ја сечеш гранката на која што седиш„ | Литературно и ликовно изразување на стекнатите знаења | Литературно и ликовно изразување | Литературно и ликовно изразување |

.

**6.Наставни средства**

а) Прирачник за наставниците за часовите кои се дел од воннаставните активности, во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ (Прилог 1);
б) Работни листови за наставниците за часовите кои се организирани на воннаставните активности во рамките на проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ (Прилог 2);
в) Power point презентација за вториот час во која се објаснуваат основните поими дадени за наставниците и учениците;
г) Снимен материјал подготвен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, како дополнителен материјал кој може да се употреби во рамките на часовите;
д) Прашалник за учениците (Прилог 3);
ѓ) Тефтерчињата, папките и флаерите (мали и големи) го содржат логото и „речениците посветени на корупцијата

**Одоговорен наставник, Лорета Станковиќ**

## 22.План за работа

## Спречување и борба против трговија со деца

| | |
|---|---|
| **Одговорени :** | **Тим за професионален развој** |
| **Временска рамка** | Континуирано |
| **Цели** | ▸ Да се подигне свеста на наставниците и стручните соработници за актуелноста на проблемот Трговија со луѓе и Трговија со деца<br>▸ Да се обучат наставниците и стручните соработници за индикаторите за откривање и идентификување на деца-жртви на трговија со деца.<br>▸ Да се стекнат знаење и вештини за организирање на превентивни активности со учениците и родителите, за појавните облици, откривање и идентификација<br>▸ Постапка на пријавување и упатување на децата-потенцијални жртви на трговија со деца.<br>▸ Да се зголеми информираноста на учениците во основното образование за ТЛ, појавни облици, со посебен акцент на ризикот од злоупотреба на интернетот како средство за врбување на деца за ТЛ |
| **Просторни услови** | Училиште,училишни простории |
| **Материја и ресурси** | Интернет,брошури,прирачници ,презентации, |
| | Активностите ќе бидат насочени кон соработка со наставниците,родителите и учениците и истите ќе се реализираат преку одржување на дисеминација ,поделба едукативни материјали ,следење на видео записи,презентации. |

| Реден број | Теми и содржини кои ќе се обработуваат во текот на учебната година |
|---|---|
| 1. | **Дефинирање на поимот трговија со луѓе**<br>**Внатрешна трговија со луѓе**<br>**Транснационална/надворешна** |
| 2. | **Цел (на сите видови трговија со луѓе)** |
| 3. | **Фази низ кои се одвива процесот на ТЛ** |
| 4. | **Дефиниција на трговијата со деца**<br>**Видови на трговија со деца**<br>**Форми на трговија со деца** |
| 5. | **Интернетот како средство за регрутирање на жртви на трговија со луѓе**<br>Социјалните медиуми и ризиците од трговија со деца<br>Превенција-заштита на децата од кибер (сајбер) измама и трговија со луѓе<br>Улогата на наставниците, стручните соработници и училиштето<br>Улогата на училиштето |
| 6, | **Индикатори за идентификација на деца потенцијални жртви на трговија со деца**<br>Поделба на индикаторите за деца потенцијални жртви/жртви на ТД |
| 7. | **Студии на случај** |
| 8. | **Улогата на наставникот, стручните соработници и училиштето во идентификување и упатување на дете кое е потенцијална жртва на трговија со луѓе** |
| 9. | **Пријавување на случај и упатување** |

## 23.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПОДМЛАДОКОТ НА ЦРВЕН КРСТ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| | **Содржини на работа** | **Постигнати цели** | **Реализатор** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Недела на срцеви заболувања | (Едукативни и интерактивни содржини со акцент на младата популација); | Наставник, ученици, едукатори | февруари |
| 2 | Светскиот ден на Црвен крст | (Активно вклучување и подршка кон активностите на централно ниво); | Наставници, ученици, едукатори | Мај |
| 3 | Светски ден на животната средина; | (Активно вклучување и подршка кон активностите на централно ниво); | Наставници, ученици, едукатори | Јуни |
| 4 | Светски ден на Првата помош - организација на едукации по Прва помош во училиштата и тоа прва помош за ученици и обука за Прва помош за наставниот кадар во случај | Сите инволвирани во воспитно образовниот процес да се стекнат со практични знаења | Наставници, ученици, едукатори | целата учебна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на незгода во училиштето и правилно и навремено санирање на истата; | | | |
| 5 | Организација на показна вежба и централен настан на кој масовно ќе учествуваат сите училишта. Истата ќе се реализира на неколку локации, на прометни сообраќајници во нашиот град во соработка со сообраќајната полиција СВР Скопје. Симулирани ќе бидат повреди, згрижување на истите од страна на случајно сопрени лица кои управуваат со моторно возило. За возачите кои ќе знаат да укажат прва помош ќе следуваат награди, останатите ќе го обноват своето знаење; | Учениците преку симулација на повреди во сообраќајот да се стекнат со вештини за пружање на прва помош. Да се развие љубов кон медицината. | Ученици, едукатори, наставници | целата учебна година |
| 6 | Недела на млади на Црвен крст (Со посебно изработена програма за реализација на промотивни активности за цела недела); | Развивање на емпатија, дружба меѓу училишта | Ученици, едукатори | Септември-мај |
• редовна комуникација и координација со педагошко-психолошката служба.

Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години (доколку правобранителот е 9 одделение, неговиот мандат е една учебна година).

Лице за контакт: стручна служба – мејл: florije-l@hotmail.com

## 11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

*Општинско основно училиште*
***„25 Мај“ Гази Баба - Скопје***

***Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во***
***ООУ „25 Мај“ Гази Баба - Скопје***

***за учебната***
***2023/2024 година***

**ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ**

- Врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основно образование под бр.12-13487/1 од 19.11.2019 год. донесен од Министерство за образование и наука, Концепцијата за воннаставни активности во основното образование стручниот тим на екскурзии, формиран со одлука од страна на Училишниот одбор на училиштето, изготви Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„25 Мај“ Гази Баба- Скопје.
- Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето. Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

  Целите на училишните екскурзии, излетите и други училишни активности се остваруваат преку:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот,
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење,
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики,
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одредени краеви во државата,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот,
- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава,
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата,
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа засебеси,
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општественожив еење.

Изборот на место за организирање на еднодневниот есенски и пролетен излет е направен врз основа на Извештајот од Училишниот парламент, а по резимирање на спроведената анкета меѓу учениците, а потоа и меѓу наставниците.
Во текот на учебната година екскурзиите ќе бидат организирани за сите ученици.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во

планот заизведување на екскурзиите.

1.**Табеларен приказ на планирани: настава во природа, екскурзиии и излети.**

| Екскурзии / Излети | Време на изведување * | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Септември 2023 | Парк „Гази Баба“ | I – IXодд. |
| Еднодневен пролетен излет | Мај 2024 | Излетничко место СРЦ-Сарај | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | Мај 2024 | Битола | III одд. |
| Дводневна екскурзија | Мај 2024 | Западен дел на РСМ (со престој во Струга) | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | Јуни 2024 | Западен дел на РСМ (со престој во Охрид) | IX одд. |
| Настава во природа | Мај 2024 (посебна изготвена програма) | Западен дел на РСМ (со престој во Струга) | V одд. |

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

**ИЗЛЕТИ**
**1.1 ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ**

Носители на активностите:

- одделенски и предметни наставници
- учениците од 1 – 9 одд.

Место: Парк „Гази Баба„
Носители на активностите: одделенски и предметни наставници, учениците од I – IX одд.

**Воспитно- образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини на излетничкото место Парк „Гази Баба„
- Да се развива интерес за природата, да се градат еколошки навики, да се развива љувов кон дружењето и навики за разбирање при рекреација и игри.
- Запознавање со природната околина,
- Поттикнување и развивање самостојност на

учениците, едукација, другарство и рекреација;

- Запознавање со природната околина на нивната општина.
- Создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како икон животните;

**Задачи:**

- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

| |
|---|
| **Раководител на еднодневен есенски излет**: Вулнет Салиу - наставник по физичко и здравствено образование. |
| **Содржина и опис на активности**: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање. |
| **Одговорен наставник:** Јетон Муслиу - наставник по физичко и здравствено образование. |
| **Други вклучени наставници:** Сите одделенски раководители. |
| **Ученици** - учесници во есенскиот еднодневен излет |
| Во центарот на образовниот процес се учениците од I – IXодд. |
| **Времетраење:** Еднодневен есенски излет<br>- време на поаѓање во 08:30 часот од пред училишната зграда;<br>- враќање во попладневните часови пред училишната зграда). |
| **Време на реализација*:** Септември 2023 год. |
| **Следење на реализацијата:** фотографии, записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија. |
| **Локации за посета и правци на патување:** Училишна зграда ООУ„25 Мај“ Гази Баба-Скопје - утврдената дестинација парк Гази Баба |
| Техничка организација: Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.<br><br>Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.<br><br>Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување. |
| **Начин на финансирање:** самофинансирање од страна на родителите. |

**1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ Место: Сарај**
Спорски рекреативен центар,,Сарај,,
Носители на активностите:Одделенски и предметни наставници. Учениците од I – IX одд.

**Воспитно- образовни цели:**

- запознавање со природните убавини;
- стекнување навики за чување и одржување на околината;
- развивање позитивен став кон природната околина;
- Поттикнување и развивање самостојност на учениците, едукација, другарство и рекреација;

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности и рекреација ,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

| |
|---|
| **Раководител на еднодневен пролетен излет**: Илир Гаши - наставник по физичко и здравствено образование |
| **Содржина и опис на активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање |
| **Одговорен наставник:** Омер Сулиси наставник по физичко и здравствено образование |
| **Носители на активностите;** Сите одделенски раководители и учениците од прво до деветто одд. |
| **Времетраење:** Еден ден<br>Поаѓање во 08:00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови пред училишната зграда). |
| **Време на реализација*:** Мај 2024 год. |
| **Следење на реализацијата:**фотографии, записници и преку извештаи за горенаведениот излет. |
| **Локација за посета: Сарај**<br>**Правци на патување:** Училишна зграда ООУ„25 Мај“ - утврдената дестинација Скопје – Сарај. |
| **Начин на реализација:** одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите; |
| Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната (лиценцирана) туристичка агенција. |
| Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, |

| |
|---|
| туристички водач и здравствено лице.<br>Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.<br>Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување. |
| **Начин на финансирање**: самофинансирање од страна на родителите |

### 1.3 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III одд– Битола

| |
|---|
| **Место**- Југозападниот дел на РСМ<br>**Вид**: Научна – наставна |
| Еднодневна екскурзија ќе се изведе во Мај 2024 г. Патувањето започнува од Скопје – Велес – Кавадарци – Прилеп – Битола и спротивно на враќање. |
| **Носители на активности**:<br>• Одделенските раководители од III одд<br>• Ученици од III одд. |

**Воспитно – образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори;
- негување на старите културни вредности и обичаи;
- развивање љубов кон татковината и еколошката свест;
- развивање позитивен однос кон културните вредности и поттикнување чувства кон зачувување на истите;
- воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе и околината.
- јакнење на меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик наставник.

**Образовни воспитни задачи:**

- изучување и истражување на објекти
- да развиваат позитивен однос кон хисториските знаменетости и средина;
- да знаат дека треба одговорно да се однесуваат при прошетка и посета на значајни историски места.
- градење позитивен однос кон културното наследство на Битола;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за

осамостојување и грижа за себе;

| |
|---|
| **Содржина и опис на активности**: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање. |

| |
|---|
| **Раководител на екскурзијата**: Кадире Хоџа - одделенски наставник<br>**Одговорни наставници**: одделенските раководители на III-те одделенија |
| **Времетраење**: Еднодневна екскурзија |
| **Време на реализација***:Мај 2024 г. |
| **Следење на реализацијата:** фотографии, записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија. |
| **Локации за посета и правци на патување**: |
| • Поаѓање на учениците од пред училиште во 07:00 часот<br>• Плитвар каде е предвидено мала пауза од 15 мин<br>• Пристигнување во Битола околу 10:00 часот<br>• Одмор и ужина<br>• Посета на Музејот на „Албанската Азбука„<br>• потоа прошетка низ старата чаршија низ познатата улица „Широк Сокак„.<br>• Ручек во 14:00 часот<br>• Пристигнување во училиштето во попладневните часови (18:00 часот) |

.

| |
|---|
| Техничка организација: Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.<br><br>Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.<br><br>Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување. |
| **Начин на финансирање**: самофинансирање од страна на родителите |
| **Начин на вреднување и користење на резултатите:**<br>На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации. |

1.**4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Струга**
**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Место**- Западен дел на РСМ
**Локацци за посета и правци на патување:**
Дводневната екскурзија ќе се изведе во Мај 2024 г. Патувањето започнува во 07:30ч од училишната зграда. Потоа патување низ градовите: Тетово – Гостивар – Кичево (мала пауза во Страќа) – Струга.

Враќање – Струга – (мала пауза во Страќа) - Кичево – Гостивар – Тетово – Скопје, пристигнување пред училишната зграда во 19:00часот.

**Воспитно – образовни цели:**

- негување на старите културни вредности и обичаи
- запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овиепростори
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, џамии;
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина
- Да се развие соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик- објект
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Задачи:**

- проширување на знаењата по предметот географија, нашата татковина, истражување, набљудување и посети.
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

| |
|---|
| **Содржина и опис на активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање. |
| **Раководител на екскурзијата**: Рамадан Османи – наставник по музичко образование |
| **Одговорни наставници**: одделенските раководители на VI-те одделенија. |
| **Времетраење**: дводневна екскурзија (едно ноќевање, два дена). Тргнување во 07.30 часот |
| **Следење на реализацијата:**фотографии, патни налози,записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија. |
| **Време на реализација***: Мај 2024 г. |

| **Локации за посета и правци на патување:** |
|---|
| 1. **ден:** Поаѓање на учениците од пред училиште во 07.30 часот. Се патува за Тетово со панорамско разгледување на градот, запознавање со историјатот на градот, Шарената Џамија. Патот продолжува за Гостивар, разгледување на убавините на Шар планина. Се продолжува за Кичево. Сместување во хотел со три ѕвезди. Организирана забава во хотел . Ноќевање. |
| 2. **ден**: Појадок, посета и разгледување на брегот на Охридското езеро, прошетка низ плоштадот и чаршијата. Ручек во хотелот. Поаѓање за Скопје преку Кичево, Се продолжува за гостивар со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамско разгледување и попатни одмори на патот кон Тетово и се продолжува за Скопје. Пристигнување пред училишната зграда во 19:00 ч. |
| **Начин на реализација**: Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите. |
| Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната (лиценцирана) туристичка агенција. |

| |
|---|
| **Техничка организација**:<br>Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување – хотел кој е категоризиран или одговара на условите со 3 ѕвезди (соба со најмногу 3 легла, секоја соба има сопствен тоалет и туш, во секоја соба има греење –клима уред/парно, ТВ), wifi, безбедна и разновидна храна, туристички водач и постојана придружба од лекар во текот на патувањето, прошетките и престојот во хотелот.<br>Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. |
| **Начин на финансирање**: Трошоците на патувањето ги сносат родителите. |
| **Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации |

**1.5 ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Охрид**
**Вид на екскурзија**: научно - наставна
Место – Западниот дел на РСМ
Тродневната екскурзија ќе се изведе во јуни 2024 г. Патувањето започнува од Скопје– Тетово – Гостивар - Маврово – Дебар – Струга (Вевчани) - Охрид –Кичево - Скопје

**Воспитно – образовни цели:**

- Набљудување на природните убавини и богатства на нашата татковина;
- Истражување на културното, духовното и историското значење на местата кои ги посетуваат учениците;
- Усовршување на способноста за: насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;
- Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Да се негува и развива: индивидуалната, тандемската и групната работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развој на соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-објект.
- Организирање на ученички работилници во корелација со наставните предмети.

**Задачи**:

- запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење;

- да развиваат позитивен однос кон животната средина;
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина;
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

| |
|---|
| Содржина и опис на активности: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи,писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации. |
| **Наставни теми**: животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето минато, скокови во далечина,пеење. |
| **Раководител на екскурзијата**: Фљорије Аљији - одделенски раководител на IX-7 одделение. |
| **Одговорни наставници**: одделенските раководители на IX одделенија. |
| **Времетраење**: тродневна екскурзија (две ноќевања, три дена). Тргнување во 07.30 часот. |
| **Време на реализација*:** Мај 2023 год. |
| **Следење на реализацијата**: фотографии, патни налози,записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија. |

| **Локации за посета и правци на патување:** |
|---|
| **1.ден**: Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Тетово каде е предвидено да се посети Шарената џамија и Тетовското кале. Се продолжува кон Гостивар со застанување во Вруток на изворот на реката Вардар. Се продолжува кон Маврово, а од таму по кањонот на река Радика... |
| Се продолжува кон Дебар и кон Струга, каде е предвидена прошетка по бреговите на реката Црн Дрим и разгледување на градот. Од таму патувањето води кон Вевчани и Вевчанските Извори. Се продолжува кон крајната дестинација за овој ден-Охрид каде се пристигнува во доцните попладневни часови. Следува сместување во хотел со ноќевање и вечера. |
| **2.ден:** Појадок. Потоа се оди на претпладневна посета на Наколната населба (Музеј на вода), а потоа кон Свети Наум со разгледување и одмор. Следи враќање во хотел на ручек и попладневен одмор. Попладне кратка посета на Охрид / Струга и прошетка низ старата чаршија / истекот на реката Црни Дрим. Враќање во хотелот на вечера, а по вечерата организирана посета на диско во Охрид / Струга. Враќање на полноќ во хотел. |
| **3.ден:** Појадок. Потоа следи прошетка во Охрид и посета на Св. Софија, Канео, Плаошник, Самоилова Тврдина, амфитеатарот. Предвидена е повторно прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. По разгледувањето следи враќање во хотелот за ручек и одјавување, односно спремање за враќање преку Кичево со мал попатен одмор на превојот Стража. Оттаму се продолжува кон Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови. |

| **Техничка организација:** |
|---|
| Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач издравствено лице.<br><br>Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.<br><br>Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работии издава патен налог и на вработените за службено патување. |

| |
|---|
| **Начин на финансирање:**<br>Трошоците на патувањето ги покриваат родителите. |
| **Начин на вреднување и користење на резултатите:**<br>На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации. |

***(За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава)***

### *1.6 ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ НАСТАВА ВО ПРИРОДА – Западна Македонија*

| |
|---|
| **Место** – Западниот дел на РСМ – Струга |

**Воспитно образовни цели на наставата:**

- Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со промена и користење на современи педагошки форми и методи и техники на работа;
- Учениците да се запознаат со природно - географските, биолошко - еколошките, етнолошките, антрополошките и културните обележја на Струга и Охрид;
- Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- Продлабочување, проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Решава голем проблем разложувајќи го на помали проблеми или го претставува користејќи дијаграми;
- Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки ) и ги проверува. Утврдува дали одговорот е разумен;
- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**Задачи:**

- Изучување и истражување на значајни објекти,културно и историско значење на места кои ги посетуваат учениците;

- Набљудување и изучување појави во природата и непосредната околина на Охридското Езеро како и односите во општествениот живот;
- Развивање интерес за природата и на создавање еколошки навики и градење еколошка свест;
- Запознавање со културата и начинот на живеење во Охридскиот крај;
- Градење чувство за толеранција и соживот;
- Развивање способност за насочено внимание,воочување,селекција и бележење детали и податоци;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
- Социјализација,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности,рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Начин на реализација:**

- Локациите се избрани според интересот на учениците и родителите.
- Организацијата и реализацијата ќе биде од избраната туристичка агенција.

**РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ**

| | **Понеделник** | **вторник** | **Среда** | **четврток** | **петок** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Математика | Математика | албански ј | Математика | Математика |
| **2** | Албански јаз | албански ј | Математика | албански ј | Одделенски час |
| **3** | Историја и Општество | Ликовно обр. | Историја и Општество | Информ.и ОТП | Изборен пред. |
| **4** | ФЗО | Природни науки | Изб.предм | | ФЗО |

| **СОДРЖИНИ: Наставни теми за истражување** |
|---|
| **Природни науки и екологија:**<br>• Водата како животна средина- истражување на Струшкото Езеро - флора и фауна;<br>• Земјата и воздухот како животна средина и услов за живот; Сонцето, услов за живот; Растенија и животни кои се среќаваат во крајот, Изработка на хербариум |
| **Историја и Општество**: Културното наследство на тлото на РМ; Селска куќа и стара градска куќа– архитектура. |
| **Мајчин јазик** - **Литература и творење:**<br>• Употреба на голема буква при пишување на имиња на држави, народи, градови, села, области и нивните жители.<br>• Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во Струга и околината;<br>• Литературно творење,пишување извештаи. Голема буква при пишување на празници објекти и градови чие име е напишано со број (цифра). |
| **Математика**:<br>• Решавање задачи со мерење и решавање проблеми со користење на мерки за време (секунда, минута,час, ден,месец и година), нивно претставување со дијаграм, распоред даден во 24 часа и календар во интервали од седмици и месеци. |
| **изборен предмет - Култура и фолклор:**<br>Народни песни, носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од Струга -посета на куќата на Миладиновци, Мостот на поезијата, с. Вевчани. |

**Спорт**:
- Утринска гимнастика; Одење и пешачење во природа;
- Атлетски дисциплини и натпревари;
- Спортски игри: фудбал, ракомет, народна топка; Рекреативно - забавни игри (игри без граници)

**Производствено - корисна работа:**
- Изработка на украси од глинамол, растителни делови и други природни материјали;
- Изработка на книги и постер за Струга;
- Културно - забавни активности;
- Вечер на хумор и смеа; Избор на најдобар глас;
- Вечер на народни игри и модерен танц; Квиз натпревар; Најдобра маска; Игранка.

**Хигиена и здравје:**
- Одржување лична и општа хигиена; Норматив, листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

**Раководител на настава во природа**: Веби Амети - одделенски раководител,

**Одговорни наставници:** одделенските раководители на V одделенија.

**Одговорен ученик**: Претседатели на одделениа.

**Времетраење**: пет дена во Мај 2024 год.

**Време на реализација***: Мај 2024 год.

**Следење на реализацијата**: фотографии, патни налози,записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија.

**Локација за посети и правец на патување:**

1. **ден:** Поаѓање од Скопје, пред ООУ ,,25 Мај ,, во 8:00 ч.
- Упатување кон Струга и попатна посета на:
- Шарената џамија во градот Тетово,
- изворот на реката Вардар – Вруток,
- вештачкото езеро Глобочица и хидроцентралата Шпиље.
- Пристигнување во градот Струга во попладневните часови;
- Одмор, ручек.
- сместување во хотел со три sвезди, во непосредна близина на Струшкото езеро;

по сместување во хотел мал одмор од 30 мин продолжуваме со настава.

Настава:

**Математика**

**Цел:** Одговара на прашања за собирање,селекција и организирање на релевантни податоци;

**Содржина:** Собирање,селекција и организирање податоци

**Албански јазик:**

**Цел:** -да раскажува за настан од сопствено доживување;

**Содржина:** Обработка на текст:,,Легенда за Охридското езеро,,

**Историја и општество**

**Цел:** -да ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на

Република Македонија;

**Содржина:** Македонија-мултикултурна ризница;

**ФЗО**

**Цел:** -да игра танци од народното творештво;

**Содржина:** Запознавање со народно оро.

- во 18:30 вечера.

2. **ден**:
   - ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
   - ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м
   - ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
   - ✓ Доручек; 08:00 – 09:00
   - ✓ Посета на културни знаменитости во градот Охрид: минување низ Горна порта, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црква Св. Јован Богослов – Канео, црква Св. Софија, куќата наРобевци. Прошетка низ Охридската чаршија. Времетраење: 9:00–13:30ч. Враќање во хотелот. ручек и попладневен одмор.
   - ✓ Ручек; 14:00 – 15:00
   - ✓ Време за одмор; 15:15 – 15:45
   - ✓ Ужина; 16:00 – 16:30
   - ✓ Настава: 16:30 – 18:30

**Математика;**

**Цел: -**Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања;

**Содржина:** Вредност што најчесто се појавува во една група податоци/мод

**Албански јазик:**

**Цел:** -да раскажува по дадени тематски зборови;

**Содржина:** Раскажување по дадени тематски зборови „Покрај брегот на Охридското Езеро“

**Ликовно образование:**

**Цел: -**да користи елементи од народниот фолклор во дизајнирањето на предметите;

**Содржина:** Дизајн и визуелни комуникации-Ритам на форма.

**Природни науки:**

**Цел-** Истражување: на животински и растителен свет покрај вода
**Содржина**: пишување извештај од растителниот свет

- ✓ Вечера; 18:30-19:30
- ✓ Културно - забавни активности; 20:15 – 22:00
- ✓ Лична хигиена и спиење. 22:15

3. **ден**:
   - ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
   - ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м
   - ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
   - ✓ Доручек; 08:00 – 09:00

- ✓ Упатување кон Вевчани. Посета на Вевчански извори, куќата на Михајло Пупин, црквата Св. Никола .Краток одмор и упатување кон градот Струга.Посета на Природонаучен музеј Др. Никола Незлобински,куќата на браќата Миладиновци, чаршијата и течението на реката Црн Дрим. Враќање во хотел.
- ✓ Ручек; 14:00 – 15:00
- ✓ Време за одмор; 15:15 – 15:45
- ✓ Ужина; 16:00 – 16:30
- ✓ Настава: 16:30 – 18:30
- ✓ Активности во попладневните часови, покрај брегот на езерото: работа во групи:

**Албански јазик**

**Цел:** -да опишува предмет,лик,слика;

**Содржина:** прва група- Писмено изразување:Опишување лебед

Втора група - пишување извештај од посетата на градот Струга,
Трета група- литературно творење; пишување поезија,

**Историја и општество**:

**Цел**: да знае што е релјеф, што го сочинува релјефот.
**Содржина**: , разгледување на релјефот во околината.

**Изборен предмет**: цел: стекнење на знаења за фолклорот и културата.

**Содржина**: Култура ви РСМ.
Активност:цртање на фолклор и култура.
Се собираат изработките и учениците креираат книга со наслов според нивната идеа. Изложба на сработеното и споделување мисли и идеи.

- ✓ Вечера во 19:00 ч.
- ✓ Забава 20:00 – 22:00 ч. и учество во натпреварот Златен глас.
- ✓ Лична хигиена и спиење. 22:15

4. **ден**:

- ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
- ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м
- ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
- ✓ Појадок 08:00 – 09:00
- ✓ Упатување кон манастирот Св Наум Охридски. Посета на Заливот на коските, манастирот Св. Наум Охридски, црквата Св. Петка, изворот на реката Црн Дрим и Мостот на желбите. Враќање во хотел.
- ✓ Ручек; 14:00 – 15:00
- ✓ Време за одмор; 15:15 – 15:45
- ✓ Ужина; 16:00 – 16:30
- ✓ Настава: 16:30 – 18:30

**Математика**

**Цел:** -црта едноставни линиски дијаграми,пр:за да ја прикаже промената на температурата;

**Содржина:** Линијски дијаграми

**Албански јазик**

Цел: да стекне навика за писмено изразување.
Содржина: Пишување на есеј на тема: ,,Охрид,, . преку работа се пучта композицијата на Вивалди,,Фор сеасонс,,.

**ОТП и информатика:**

**Цел**: да се оспособи за работа на компјутер користејќи ги нивните вештини за префрлување фотографии и пишување на текст.
Содржина ,, Практична работа, - креирање на флаер со фотографиите од посетите.

- ✓ Вечера во 19:00 ч. Забава 20:00 – 22:00 ч.

5. **ден**:

- ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
- ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м
- ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
- ✓ Појадок: 08:00 – 09:00
- ✓ 09:15 – 10:00 спакување на личните работи и средување на собите

Настава

**Математика**

**Цел:**усно и писмено го образложува начинот на решавање; поставува хипотези (претпоставки)и ги проверува,

**Содржина:** Толкување на линијски дијаграми;

**Одделенски час**

**Цел:** -знае како може да им се помогне на животните на кои им треба храна;

**Содржина:** Градење позитивен однос кон растенијата и животните-Работилница: „Хранилки за птици“

**Албански јазик**

**Цел**: да се оспособи за усмено изразување за еден текст, доживување исл

**Содржина**: ,,Опис, прераскажување, раскажување приказни и создавање кратки текстови, раскажува настан од неговото сопствено искуство,,

**ФЗО**

**Цел:** -да го одржува телото и однесувањето сообразено со групното движење

- да развива способности за движење и игра во просторот;

**Содржина:** Играње оро со различно темпо и сложеност на чекори;

- ✓ Одјавување од хотелот и враќање во Скопје.
- ✓ Попатна посета на градот Битола – античкиот град Хераклеа и Широк сокак.

Одмор и ужина

Пристигнување во попладневните часови во скопје – пред училишната зграда.

Пристигнување во Скопје, во попладневните часови

**Начин на реализација:**

- Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**НАПОМЕНА:** Објектите во кои ќе се изведува наставата во природа треба да имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средстваза деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија.

***За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана***

| |
|---|
| ***настава.*** |

| |
|---|
| **Техничка организација**: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, безбедна и разновидна храна, добри услови на сместување (секоја соба да има сопствен тоалет). Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа задолжително да биде – хотел кој е категоризиран или одговара на условите со 3 ѕвезди (соба со најмногу 3 легла, секоја соба има сопствен тоалет и туш, во секоја соба има греење –клима уред/парно, ТВ), wifi, во непосредна близина на езерото, во кругот на хотелот да има спортски терен за зиведување настава по физичко и здравствено образование и да има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија, туристички водач и постојана придружба од лекар во текот на патувањето, прошетките и престојот во објектот. |
| **Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите. |
| **Начин на вреднување и користење на резултатите:**На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации. |

| |
|---|
| ***Напомена*: Екскурзиите кои се организираат за III,V, VI и IX одделение, односно еднодневната екскурзија до Маврово за III одделение, настава во природа за V одделение, дводневна екскурзија за VI одделение, како и тродневната екскурзија за IX одделение , ќе бидат организирани во соработка со партнер училиштето ООУ„ Дане Крапчев“ - Скопје, општина Гази Баба имплементирани во програмата за МИО и Концепцијата за воннастави активности.*** |
| |

**Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:**

- Сузана Курбардовиќ - одделенски наставник;
- Фљорије Аљији – наставник по информатика;
- Вулнет Салиу- наставник по физичко и здравствено обр.
- Веби Амети – одделенски наставник;
- Кадире Хоџа - одделенски наставник;
- Ферди Асани – родител;
- Азем Фазлија – родител;

**12. Натпревари за учениците**

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување на повисоки резултати во одредени области. Придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух, да се зближуваат учениците од разни средини и да се врши правилен избор на талентирани ученици. Тие претставуваат дејност преку која се презентираат успесите на учениците и училиштето поразлични предмети и подрачја на воспитно-образовната дејност. Одговорните наставници самостојно ги определуваат начинот и правилата за натпреварување, како и начинот на пријавување за натпреварите за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво, потоа треба да го претставуваат училиштето и на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците одговорни за одделни наставни предмети. Во рамките на можностите и согласно Правилникот за наградување на ученици, училиштето ќе овозможи симболични награди и дипломи/пофалници за најдобрите ученици. Планот за општински, регионални, државни и меѓународни ученичките натпревари кои ќе се организираат и во кои ќе учествува училиштето во текот на учебната 2023/2024 година . Општествено хуманитарна работа. Општествено-хуманитарна работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа. За оваа цел се изготвуваат програми за заштита и чување на природата и околината, организирање на базари, хепенинзи, прослави и одбележувања на значајни датуми, историски часови, Ден на екологија и Отворен ден на граѓанско образование, одбележување на Ден на Општината и Ден на училиштето, учество на учениците во разни хуманитарни акции, кои имаат пошироко општествено значење и помош на социјално загрозени и инвалидизирани лица, работни акции во и надвор од училиштето, уредување на училниците и училишниот двор и сл. Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани од ученичката заедница, Училишен одбор и Совет на родители и за секоја активност училиштето изготвува посебна програма. Задачите на општествено-хуманитарната работа е да се развие позитивен однос кон другите, да се негува почит кон работниот човек,чувство на одговорност, развивање работни навики, да придонесе за постапен развој на истрајноста во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, да развива,

стекнува и создава љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици, развивање еколошка свест кај учениците.

**13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24 год. се планирани низа активности кои ќе ја вклучат меѓуетничката интеграција во наставата. Меѓу другото, во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни активности како во самото училиште, така и во соработка со партнер училиштето во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички групи од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот.

Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи.
Учениците ќе имаат можност да ја доживуваат Р.С Македонија како мултикултурна држава во која живеат различни етнички групи со што ќе можат да ги воочат предностите на мултикултурната држава и ќе развиваат свест за прифаќање на различностите и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи.
Училиштето ќе обезбеди простор, време, услови, работна рака и пари и ќе изготви план за сите активности и ќе ги вклучи сите вработени во реализација на гореспоменатите активности. Општината, советот на родители, училишниот одбор, како и членови на месните заедници, невладините организации и бизнис секторот исто така ќе бидат вклучени на најразлични начини: финансиски, материјално и со работна рака во помагањето за реализирање на зацртаните активности.
Покрај споменатите активности ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги споменеме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, натпреварите во пинг понг, бадминтон, есенски крос, атлетика, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани.
Забелешка – Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!
Тим: Сузана Курбардовиќ – одд. наставник, Саљате Бектеши – наставник по математика, Треута Хаскај Војника – предметен наставник, Анида Хамиди – наставник по природни науки.

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

Се претставуваат сите проекти (поединечно) кои се реализираат во училиштето и институциите со чија поддршка и помош се реализираат истите. Поточно, се наведуваат: името на проектот; која е целта и исходите од реализацијата на проектот; име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници, временска рамка во која се реализира проектот; средствата за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат и други податоци кои основното училиште смета дека се потребни за претставување).

<u>Поврзување на еколошката програмасо редовната настава</u>

Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, на водата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната

средина. Ќе се реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и воннаставни активности, а ќе се вклучат сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и други институции.

Меѓуетничка интеграција во образованието

Како двојазично училиште, наш приоритет е мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам. За таа цел учествуваме во сите постоечки проекти во државава кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на наставниците и учениците за изведување на заеднички активности. На пример, поддржувачи на вакви активности се МОН, ОБСЕ, УСАИД, МЦГО, МОФ и општина Гази Баба. Директорот на училиштето е вклучен во изработка на Стандарди за интеркултурно образование поддржано од МЦГО и УСАИД. Заедничка грижа за правилно насочување на учениците. Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител – ученик - наставник, со што во образовниот систем ќе се започне со зајакнување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

Активности во рамки на Erasmus+ и Etwinning projects,

Преку оваа платформа, наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, дебатираат, иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуства, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно, нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари, онлајн работилници и семинари. Активностите на е-Твининг поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ-алатки достапни на платформата и изработка на виртуелни проекти. Поради активната вклученост на платформата е-Твининг, училиштето е прогласено за е-Твининг училиште (2021/22година).

Нашето училиште тековно е вклучено во Еразмус+ проекти КА229
Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24 год. се планирани низа активности кои ќе вклучат etwinning проект акртивности во наставата. Меѓу другото, во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни активности како во самото училиште, така и во соработка со партнер училиштета од другите држави во кои ќе бидат вклучени ученици од сите возрасни групи од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот.
Забелешка – Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!

Инклузивно образование

Покана за учество во истражувачки проект за инклузивно образование како пилот училиште со цел да се проучи разбирањето на наставниците на инклузивното образование и факторите кои влијаат на инклузивната практика.

Други проекти:

Исто така нашето училиште аплицира во проекти од МОН и ОБСЕ мал и голем гранд. За малиот гранд соработка со ОПУ „Иднина,,
НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: ПАТУВАМЕ, ИСТРАЖУВАМЕ И СОНУВАМЕ

За големиот гранд соработка со ООУ ,,Дане Крапчев,, и ООУ;;Наум Наумовски Борче,, на тема Реализација на заеднички часови на тема ,,Заедно сме посилни„ по предметите: природни науки и ликовно образование.

Реализација на воннаставни активности со ООУ;; Глигор Прличев,,

**15. Поддршка на учениците**

Постигнувањата на учениците се составен дел на извештаите за учениците за нивниот успех и редовност кои редовно се следат и се бележат и воедно се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Анализата на постигнатите резултати ќе ја прави стручната служба.

Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност. Затоа наставниците им даваат поддршка на сите ученици ги третираат учениците рамномправно и правично, ги препознаваат нивните индивидуални разлики и ги земаат во предвид во својата работа. Стручните соработници ја темелат работата врз основа на континуирана опсервација и проценка на напредокот на нивното здравје, нивните потенцијали, силните страни вештините и семејното опкружување. Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците,нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори, ги насочува кон користење на ефикасни техники за учење градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученицина кои преку додатна настава им сеовозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокатa јавност, како на пр. драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби,проекти и сл. За талентираните учемици наставниците организираат секции со цел да се подготвуваат учениците за успешно учество на општински, регионални и републички натпревари. За учениците од завршната година се организираат различни форми на професионална ориентација.

- Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа) Превентивната програма за насилство има за цел да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите.

- Целта на превентивната програма за асоцијално однесување е преку вклучување на учениците со асоцијално однесување во разни активности и проекти и нивно –поуспешно вклучување во училишните активности.

<u>Превентивните програми предвидуваат соработка со МВР и Здравствени институции.</u>

Во рамките на наставата и оваа учебна година ќе се обрне внимание на едукацијата на учениците за нивната безбедност и социјална грижа во која покрај одредени теми кои ќе се реализираат на одделенските часови ќе се вклучат и установи кои ќе дадат свој придонес.

Покрај ова училиштето ќе реализира активности надвор од училиште како посети на институции, објекти, знаменитости.

Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција и оспособување за решавање конфликтни ситуации во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно

однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат.

15.1. Постигнување на учениците

Успехот на учениците на крајот на учебната 2022/2023 годд. среден успех е 4.40

| Среден успех од 4-то до 9-мо одделение: |
|---|
| Во четврто одд. деветтолетка среден успех 4.38 |
| Во петто одд. деветтолетка среден успех 4.39 |
| Во шесто одд. деветтолетка среден успех 4.32 |
| Во седмо одд. среден успех 4.47 |
| Во осмо одд. среден успех 4.5 |
| Во девето одд. среден успех 4,44 |
| Од 1-во до 3-то одделение учениците се описно оценети |
| Високо ниво 320 ученици |
| Среден ниво 210 ученици |
| Низок ниво 74 ученици |

Споредено помеѓу одделенијата од IV до IX највисок среден успех :

| | |
|---|---|
| IV/2 | 4.64 |
| V/3 | 4.57 |
| VI/3 | 4,57 |
| VII/2 | 4,58 |
| VIII/1 | 4,63 |
| IX/6 | 4,63 |

На ниво на училиште направени се вкупно 1596 изостаноци од кои 1177 се оправдани, а 419 се неоправдани за учебната година 2022/2023. – а во предходната учебна 2021/22 годд имаше 1566 што значи во ова учебна година зголемена за 30.

За мотивација на учениците ќе се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавноста со посредство на медиуми (фејсбук профил на училиштето, веб-страница на училиштето, веб страница на општината). На сите ученици кои постигнале добри резултати на натпреварите, на Денот на училиштето, директорот им доделува пофалници за постигнати резулатати и промоција на училиштето.

На крајот на учебната 2022/23 меѓу единаесет ученици и ученикот Регис Хаскај од ООУ„25 Мај„ е избран за најдобар ученик на генерацијата при што општина Гази Баба им додели пофалници.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Концептот на програмата за ПОП ќе се реализира преку петкратниот модел:

- Самоспознавање :препознавање на сопствените потенцијали, подготвеност за напредок преку настава и учење
- Информации за занимањата и кариерата:подготовка на расположивите информации за занимања на структуиран начин
- Запознавање со патиштата на образованието: запознавање со мрежата на училишта и кариерата која ќе придонесе за носење одлуки за избор на посакуваната струка/занимање
- Во реалниот свет на работата: претставување на занимања, спроведување на тест за реален избор на занимањето
- Носење одлуки за избор на училиштето/занимањето – самостојно,промислено и одговорно носење одлука за избор на училиштето, занимањето

Професионалната ориентација подразбира вклучување и меѓусебно поврзување на сите оние кои имаат одлучувачка улога во развојот на личноста на учениците, вклучени во процесот на донесување одлуки при изборот како и на сите кои се вклучени во професионалниот развој на учениците. Во реализација на програмата ќе бидат вклучени: родителите, наставниците, стручните соработници. Како носители во реализација на програмата се: училишниот психолог, дефектолог, класните раководители, одделенските и предметни наставници. Реализацијата на програмата ќе се остварува преку редовната и изборната настава.

Програмата ќе ги опфати сите ученици кои посетуваат редовна настава како и учениците со оштетен слух и говор кои посетуваат 8 и 9-то одделение.

Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување од страна на приватна агенција според посебна програма за работа | Во текот на учебната година | Агенција за обезбедување | Учениците | Намалување и превенција на инциденти на насилно однесување и ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедности причини. |
| Секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи со водење секојдневна евиденција и записи како | Во текот на учебната година 2023-2024 | Сите наставници | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| поминало дежурството | | | | |
| Секојдневни дежурства од страна на ученици со посебно место и задачи на дежурниот ученик | Во текот на учебната година | Ученици од I V – IX одделение | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување |
| Вклучување во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции | Во текот на учебната година | МВР „Автокоманда“ Општина Гази Баба | Ученици, наставници и педагошко психолошка служба | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти и намалување на насилно однесување |
| Организирање работилници за учениците во и надвор од училиштето за справување со конфликти на конструктивен начин | Во текот на учебната година | НВО, училишен парламент, наставници | Учениците | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти |

| |
|---|
| **Задачи:**<br>Анализа на безбедносната средина во училиштето; Планирање на превентивни активности; Јасно дефинирање на процедурите во ситуации на насилство; Организирање и промовирање на активностите на училиштето чија цел е заштита на учениците од насилство ; Учество во проекти и сл. Развивање на соработка со институциите кои работат со деца и семејство; Информирање на учениците и родителите за содржините кои се важни за безбедноста ; Известување на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор за реализација на Програмата за заштита од насилство; Промовирање на примери на добра пракса |
| **Задачи на Тимот за превенција на насилството се:** |
| - Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција; |
| - Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство; - Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или |

| |
|---|
| случување на насилство; |
| - Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности; |
| - Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците; |
| - Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство; |
| - Водење и чување соодветна документација; |
| - Известување на стручните тела и органи во училиштето. |
| **Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта:** |
| И оваа учебна година во нашето училиште се планираат активности како дел од проектот - Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта. |
| **Цели:** |
| Ученикот/ученичката: |
| • да се запознае со поимите корупција, антикорупција,интегритет и етичност |
| • да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“ |
| • да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата |
| • да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата |
| • да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството; |
| • да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција и механизмите преку кои таа делува; |
| • да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата; |
| • да се стави во ситуација во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација |
| Родителите: да бидат запознаени со учеството на учениците во проектот: |
| **Планирани активности:** |
| Во училиштето ќе бидат спроведи повеќе активности како дел од проектот: |
| • Спроведување на анкетен прашалник преку кој ќе се проверат-утврдат предзнаењата на учениците за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата |
| • Запознавање на учениците со терминот корупција, механизмите за заштита и улогата на ДКСК за спречување на корупцијата |
| • Запознавање на родителите со целите и реализацијата на активностите кои ќе се превземат во училиштето како дел од проектот |
| • Ликовно и литературно творење на тема поврзана со корупцијата |
| • Драматизирање и дебатирање на тема поврзана со корупцијата |
| • Предавање од стручно лице за корупцијата , антикорупцијата и начините за заштита и борба против корупцијата |
| • Реализација на содржини поврзани со корупцијата во рамките на редовните часови |
| • Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта |

Согласно нацрт записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.10.2017 година, која се однесува на Информација на активностите за имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција на Стратегијата на Југоисточна Европа 2020 , МОН донесе одлука за дополнување на Годишната програма на училиштата со активности поврзани со антикорупциска едукација.

| **Цели на проектот** |
|---|
| Ученикот/ученичката: |
| • да се запознае со поимите корупција, антикорупција,интегритет и етичност |
| • да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“ |
| • да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата |
| • да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата |
| • да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството; |
| • да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува; |
| • да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата; |
| • да се стави во ситуација во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација |
| • да се стави во улога на активен граѓанин кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија |
| **Родителите:** |
| • да бидат запознаени со учеството на учениците во проетот |
| **Планирани активности** |
| Во училиштето ќе бидат спроведи повеќе активности како дел од проектот: |
| • Спроведување на анкетен прашалник преку кој ќе се проверат-утврдат предзнаењата на учениците за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата |
| • Запознавање на учениците со терминот корупција, механизмите за заштита и улогата на ДКСК за спречување на корупцијата |
| • Запознавање на родителите со целите и реализацијата на активностите кои ќе се превземат во училиштето како дел од проектот |
| • Работилница направена од учениците за нивните соученици, наставници и родители |
| • Анализа од спроведената работилница |
| • Ликовно и литературно творење на тема поврзана со корупцијата |
| Драматизирање и дебатирање на тема поврзана со корупцијата |
| Тим: Директор, Педагошка служба, Теута Хаскај Војника, Сузана Курбардовиќ, Анета Цаневска, Ресмије Адеми, Ваиде Реџепи. |

## 16. Оценување

16.1 Видови оценување и календар на оценување

Во врска со оценувањето на учениците како и досега и во следнава учебна година ќе има:

Описно оценување на учениците од I - III одд

Учениците од I одделение описно ќе се оценуваат на третото тримесечие и на крајот од учебната година.

Учениците од II и III одделение квартално описно ќе се оценуваат (прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие и на крај на учебната година),

Учениците од IV и V одделение во првото и третото тримесечие описно ќе се оценуваат, а на полугодие и на крај на учебната година ќе се оценуваат бројчано.

Описно и бројчано оценување за учениците од IV - VI одд

Учениците од VI до IX одделение квартално бројчано ќе се оценуваат.

Усното проверување се ќе спроведува континуирано во текот на учебната година, следејќи ги критериумите за оценување од БРО и Кодексот на оценување во училиштето.

Писменото проверување ќе се спроведува континуирано во текот на учебната година според наставниот план и програма и според законот за писмено проверување , а во врска со оптеретеноста на учениците за дневно или неделно писмено проверување (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

За да го спроведеме оценувањето наставниците ќе имаат обвrска по својот наставен предмет да ги планираат методите и инструментите на вреднување и оценување на учениците во годишните и дневните планирања, Стручните активи во училиштето ќе ги ускладат критериумите, начините и постапките на вреднувањето и оценувањето, наставниците на почетокот и во текот на учебната година да ги запознаат учениците со начините, постапките и критериумите-стандардите на вреднување и оценување согласно наставниот план и програм, како и со целите и очекуваните исходи, ќе се трудиме транспарентноста во оценувањето да се подобри, а родителите навреме ќе бидат информирани за оценките. Писмените работи и тестови на знаења ќе бидат давани на увид и на учениците и на родителите и ќе се чуваат во досиејата на учениците.

Во нашето училиште доследно се спроведува формативното и сумативното оценување за кои наставниците на крајот на учебните години даваа извештаи за искуствата од нивната примена. Бидејќи тие беа позитивни и водеа кон подобрување на успехот на учениците, истите ќе продолжиме да ги применуваме

| Меѓу оценувањата кои ги користат наставниците се: |
|---|
| • писмено и усно одговарање на прашања поставени од наставникот или од ученицте, |
| • одговарње на есејски прашања во писмена и усна форма, |
| • листи за проверка, усни презентации, |
| • писмени работи и тестови на знаење, |
| • есеи, |
| • проектна работа и задачи, |
| • портфолија. |

Сите инструменти кои се употребуваат се во насока на формативно и сумативно оценување и следење на

постигањата на ученицте, со зедничка цел за пронаоѓање на проблемите во учењето и нивно полесно надминување, како и формирање на јасна, прецизна и реална оценка на крајот на годината. Задачи на оваа подрачје се;

- Воспоставување на систем за постојано следење и прибирање податоци за планирање на оценувањето и постигањето на ученицте
- Следењето да стане перманетна задача на сите субјекти вклучени во воспитно-образовната дејност;
- Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето;

- Стручно усовршување на наставниот кадар за оценувањето јавно информирање за постигањата на сите субјекти кои се вклучени и заинтересирани за воспитно- образовната дејност;
- Објективно вреднување и оценување на резултатите кои се постигнуваат во наставата;
- Приоритетна задача на училиштето и сите субјекти во него е следењето на оценувањето и воведување етички
- кодекс на оценувањето на ниво на училиште.

Цели на оваа прграма се:

1. Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето

2. Зголемена соработка и комуникација на училиштето со родителите и на локалната заедница

3. Подржување на континуитетот и објективноста во оценувањето

4. Примена на разни форми на оценување со почитување на стандардите и критериумите за оценување:

1. Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето

| Задачи и активности | Реализализатори и целни групи | Ресурси | Следење, повратна информација | Време на реализација | Резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на оценувањето | Наставници стручни служби | Програми, планирања. планови | Портфолија, записници од одд. совети, планирања | Август-септември | Усвоена програма, предадени планирања |
| Следење на процесот на оценување | Директор педагошка служба наставници | Планирања на наставниците | Извештаи, записници | континуирано | Реализирани посети, изработени извештаи |
| Анализа на резултатите од следење на оценувањето | Директор , педагошка служба наставници | Наставни планирања за оценувањето | Извештаи записници анализа на податоци | Јануари Јуни | Подобрен континуитет на оценувањето |

2. Зголемена соработка и комуникација на училиштето со родителите и на локалната заедница

| Активности | Носители | Реализација | Резултати |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Планирање на родителски средби и состаноци | Стручна служба, наставници, директори | континуирано | Зголемена соработка со родителите и информираност на родителите |
| Одржување на средби и состаноци | Стручна служба, наставници, директори | континуирано | Зголемена соработка со родителите и информираност на родителите |

16.2.Тим за следење анализа и поддршка

Тимот за следење- анализа и поддршка ќе го сочинуваат:

1. Стручната служба
2. Двајца предметни наставници
3. Двајца одделенски наставници

Тимот ќе работи според програма која ќе ја изготви во месец Септември, а која ќе содржи активности насочени кон поддршка на учениците во постигање на подобри резултати, поддршка на наставниците кои исто така постигнуваат повисоки резултати во работењето и на оние кои се соочуваат со одредени проблеми во работата.

Во текот на учебната година, тимот ќе прави анализа на состојбите со оценувањето преку користење на инструменти за прибирање податоци, а ќе изготвува и извештаи за постигањата кои ќе бидат јавно презентирани пред наставниците.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар.

Во учебната 2023/2024 година ќе се следат и вреднуваат планирањата и подготовките за наставата. Сите наставници се должни да ги достават новите годишни глобални планови како и првите наставни теми до септември во тековната година. Исто така, секој од нив треба да поседува дневна подготовка за реализација на наставниот час, а 2 од нив ќе бидат предмет на анализа. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници ќе го врши директорот, стручниот соработник, советници од Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе опфати:

- Настава и други видови организирана работа со учениците;
- Следење и оценување на учениците;
- Планирање на наставата, избор на форми, методи и средства за нејзино реализирање;
- Подготовка на дидактички помагала;
- Соработка со родителите;
- Вршење задачи на одделенски раководител и спроведување на ОЖВ работилници;
- Учество во интерно проверување на учениците;
- Водење педагошка евиденција и документација;
- Уредување на кабинети, игралишта сл.
- Оргнизирање културни, спортски и други општо корисни активности со учениците;
- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;
- Подготвување и изведување екскурзии, излети, натпревари, настава во природа и сл;
- Учество во училишни проекти;

- Сертификација.

Стручната служба и директорот континуирано ќе го следат напредокот на наставниците преку Професионално досие за наставниците и стручните соработници.

16.4.Самоеваулација на училиштето

Во месец октомври 2019 год. се изработи Самоевалуација на училиштето за учебните 2018/19 год. Во нејзино изготвување беше вклучен тим од наставници кој беше формиран на Наставничкиот совет во август - за периодот 2019/20 год. Целта на самоевалуацијата е согледување на клучните јаки страни и надминување на слабите страни за реализација на воспитно образовната работа. За особена посветеност во работата во програмата Еко-училиште, за достигнувањето во едукацијата за одржлив развој и еколошки манаџмент и постојано подобрување на активностите од областа на заштитата на животната средина во училиштето и пошироката заедница на нашето училиште ни е доделена ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН СЕРТИФИКАТ-Еко-училиште наградено со зелено знаме.

Преглед на тимовите за евалвација на работата на училиштето за учебната 2018/19;

| Ред.Бр. | Подрачје | Членови на тимот за евалвација |
|---|---|---|
| | Членови на комисија | Флорије Дика психолог – Кординатор<br>- Сузана Курбардовиќ одд. наставник<br>- Теута Хаскај Војника нас. По германски јазик<br>- Анета Цаневска – Пред. наставник по македонски јазик<br>- Ферди Асани пред. на совет на училиште |
| I. | Наставни планови и програми | Ардијан Хамити – кординатор<br>- Нерџиване Дема – Пред. Наставник по англиски јаз. - Подкоординатор<br>- Ганимете Кадриу - член<br>- Анета Цаневска – член<br>- Арјета Имери – член |
| II. | Постигања на учениците | Хава Доко – кординатор<br>- Ибе Мустафа - подкординатор<br>- Вулнет Аќифи – член<br>- Имране Амети – член<br>- Несрине Бајрами – член |
| III. | Учење и настава | - Турќане Граждани<br>- Ваиде Рецепи – подкординатор<br>- Арлинда Кастрати – член<br>- Лирије Нишевци- член<br>- Арјета Асани – член |
| IV. | Поддршка на учениците | - Авета Вејсели – кординатор<br>- Дитурије Сулејмани- подкординатор<br>- Нуране Лимани- член<br>- Блерим Троли – член<br>- Ресмие Адеми – член |
| V. | Училишна клима и култура | - Ќефајете Ибиши – кординатор<br>- Веби Амети – подкординатор<br>- Јусуф Рецепи - член<br>- Игбале Зеќири – член<br>- Елизабета Стојановска – член |

| | | |
|---|---|---|
| VI. | Ресурси | - Сузана Курбардовиќ – кординатор<br>- Ајдар Сејди – подкординатор<br>- Ајсер Лимани – член<br>- Теута Хаскај Војника – член<br>- Батиша Шабани – член |
| VII. | Управување, раководење и креирање политика | - Мирвете Зендели – кординатор<br>- Селма Исак –подкординатор<br>- Алма Туша – член<br>- Фатиме Селами – член<br>- Мирсад Алија - член |

## 17. Безбедност во училиштето

(Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од приридни и други несреќи-пожари, поплавии слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште, курсеви за прва помош и заштита итн.).

Во училиштето сите заедно ќе се залагаат за безбедост во наставниот процес и воннаставите активности. Училиште ќе обезбеди чувство на сигурност, а сите присутни во училиштето како и во училишниот двор. Основна цел на безбедноста е сите учесници во воспитно-образовниот процес да се чувствуваат згрижени, заштитени од сите видови опасности. Во училиштето постои Правилник за заштита од пожари и експлозии и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето ќе се одржува како и досега од страна на техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени.

Значајна улога ќе имаат одделенските раководители и сите останати наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Исто така не помалку значајна улога треба да превземат и родителите.

### 18.2. Систематски прегледи

| Систематски прегледи | Одделенија кои ќе бидат опфатени со систематски преглед | Реализација ( пред или после наставата) | Во придружба: |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Систематски прегледи | I-во одд.<br>III-то одд.<br>V- то одд. | Пред наставата | Класен раководител и родител |
| | VII- мо одд. | Пред наставата | Класен раководител |
| Систематски преглед на заби | I- во одд<br>IV- то одд | Пред наставата | Класен раководител и родител |
| | VII- мо одд | После настава | Класен раководител |

18.3. Вакцинирање

(Се наведува кои ученици се опфатени со календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето (според насоките од Министерството се забранува вакцинација во училиштата поради несакани ефекти).

| Вакцина | Одделенија кои се опфатени | Одговорно лице |
|---|---|---|
| Дите и полио<br>МРП | I- одд<br>II- одд<br>III- одд<br>IX- одд | Психолог/одделенски наставници |

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Исхраната е еден од најважните фактори за правилен раст и развој на децата и има големо влијание врз работните способности на учениците. При спроведување на правилна исхрана во училиштата неопходно е познавање на основните принципи на правилната исхрана:

- Рационална исхрана
- Умерена исхрана
- Разновидна или мешана исхрана
- Рамномерна исхрана
- За да се исполнат овие принципи големо влијание имаат одредени фактори и критериуми.

ФАКТОРИ

- возраста на децата,односно потребата на организмот(количината која се припрема)
- економските можности
- културни навики во исхраната

КРИТЕРИУМИ

- естетски-кој што претставува правилен начин на сервирање како и привлечен начин на јадењето(при што поволно влијание би имало врз децата односно врз нивниот апетит-со што би се поттиклале да јадат)
- санитарен критериум-кој подразбира микробиолошка исправност на продуктите кои се користат во исхраната кај децата(обрнувајќи внимание и на радиолошката и хемиската исправност на продуктот.

ЦЕЛИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИСХРАНА

- Правилна исхрана на децата
- Поттикнување на децата за размислување за здравата храна како и нејзино конзумирање
- Разговор со родители и ученици во врска со исхраната во училиштето
- Соработка на комисијата за исхрана со родителите со цел изнаоѓање на решенија околу исхраната на децата(доколку е потребно)
- Спроведување анкета на учениците во врска со нивните желби за топлиот оброк
- .Во врска со менито кое го имаат-за две недели е различно(при завршување на втората недела пак се започнува од првата недела).
- Учениците во класична настава се хранат со ужина, за време на големиот одмор.
- Доколку учениците одат на екскурзија добиваат ланч-пакет, истиот го добиваат и за Нова година како и за последниот училишен ден.

АКТИВНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИСХРАНА

Комисијата за исхрана има за цел да се состане пред почетокот на учебната година со цел да одреди мени, термини кои ќе важат до крајот на учебната година во врска со влегувањето во кујна-односно правење на распоред за учениците при исхрана во кујната, при што треба да се придржуваат на временскиот интервал како и термин кој им е даден. Комисијата за исхрана ќе одржува состаноци секогаш кога ќе има потреба, односно во текот на учебната година, одговорните на генерации.

## 19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно – образовниот процес ( ученици, наставници, персонал ), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето, за учебната 2023/2024 година, предвиден е состанок на Наставничкиот совет за да наставниот кадар ги детектира негативни појави забележани во начинот на однесување на сите

субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во претходниот период. Ќе се изведат заклучоци на состанокот и ќе се изготви план за подобрување на училишната дисциплина.

План за подобрување на училишната дисциплина:

Изготвување на листа на дежурни ученици во училиштето-целта е контролирање на движењето на надворешни лица посетители на училиштето; носители на активноста се ученици од 6-то до 9-то одделение; време на реализација е текот на цела учебна година. - Изготвување на листа на дежурни ученици по одделенија-контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите; носители на активноста се ученици од 6-то до 9-то одделение; време на реализација е текот на цела учебна година. –

Изготвување на листа на дежурни наставници во двете смени – контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите; носители на активноста се наставници од предметна и одделенска настава; време на реализација е текот на цела учебна година. Исто така изработен е распоред на дежурни наставници, заради воспоставување на поголема контрола во училиштето ( во училниците, ходниците, санитарните јазли и сл.). Напомена: распоредот на дежурни наставници е дел од прилозите. Тековно во рамките на секоја работна недела се изработува и распоред на дежурни ученици во училиштето кои го контролираат влегувањето на сите надворешни посетители на училиштето. Тие вршат и писмена евиденција на тековните збиднувања за време на одморите. Контролата на движење и активности во училишниот двор ќе се обезбеди преку постоечкиот систем за видео надзор.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето:

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот момент на просторот (училниците ) во кои се поминува голем дел од денот. Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во прилог на тоа во училиштето ќе се превземаат следните активности:

- одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор.

- Во училиштето главна цел е преземање активности за зачувување на животната и работната средина и нејзино естетско и функционално облагородување. Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози.

19.3. Етички кодекси:

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ОВИЕ ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЌЕ ГО ПОДОБРАТ КВАЛИТЕТОТ НА УЧИЛИШНИОТ ЖИВОТ СО ШТО СИТЕ ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМЕ ПОБЕЗБЕДНО И ПОПРИЈАТНО ВО УЧИЛИШТЕТО

- Во училиштето доаѓај редовно навреме;
- Биди пример со твоето пристојно и удобно облекување;
- Води грижа за својата лична хигиена;

- Води грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор, отпадоците фрлај ги во корпа;
- Чувај го училишниот имот, за направената штета ќе бидеш одговорен;
- Подгответе ја училницата за час, а по завршување на часот, училницата оставете ја уредна, без отпадоци и проверете дали сте заборавиле нешто;
- Разубавете ја училницата, направете пријатен амбиент за учење;
- Биди подготвен, внимателен и активен на часовите;
- Секогаш кога нешто не ти е јасно прашај го наставникот;
- Барај да бидеш јавно оценет и секогаш да го знаеш резултатот од својот труд;
- Сослушувај, кажи го своето и почитувај го мислењето на другиот;
- Биди искрен и добар другар, помогни му секогаш кога е во неволја;
- Времето што го поминуваш во училиште нека ти биде исполнето со многу нови сознанија и убаво другарување;
- Твоето мислење и твоите предлози остави ги во сандачето за предлози и забелешки.

Правилник за однесување на вработените ОСНОВНИ ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНОИОТ КАДАР ВО УЧИЛИШТЕТО ЦЕЛТА НА ОВИЕ ПРАВИЛА Е ДА СЕ ПОСТИГНЕ ПОЗИТИВНА КЛИМА ЗА ПОДОБРА И ПОКВАЛИТЕТНА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Воспитно – образовниот кадар треба да се насочува кон:

- Перманентно подобрување на сопствената работа и работната средина;
- Професионален однос
- конструктивно справување со конфликти
- почитување на индивидуалните разлики и мислења
- одржување на работната етика
- позитивна коректна комуникација (вербална и невербална)
- практикување на тимската работа

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија. Создавањето стимулативни општествени и професионални услови за професионален развој во наставничката професија значително ќе го промени односот на наставникот кон сопствениот професионален развој.

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и секојдневните потреби во воспитно – образовниот процес. Тоа е лик на наставник, богат на општо образовно и стручно поле, оспособен и мобилен на планот на стекнување потребни вештини за успешно реализирање на неговата професија. Значи, наставникот ќе мора, покрај стекнувањето на формалното образование и постојано стручно и професионално да се усовршува.
**ООУ „25 МАЈ“ – ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ**

## 20. Професионален развој на воспитно – образовниот кадар

За да обезбеди квалитетна образовна настава, училиштето планира професионален развој на воспитно-образовниот кадар кое подразбира стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции.

Здравствената криза поврзана со КОВИД-19, неизбежно, го измени начинот на кој се реализира воспитно-образовниот процес, училишните активности и сите учествувавме во прилагодувањето на ново настанатата ситуација, со користење на ресурсите кои беа достапни. Доколку се продолжи со настава од далечина и во оваа учебна 2022-2023 година , наставниците имаат потреба од семинар и обука, што ќе го организираат МОН, БРО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА и други владини институции, невладини институции и организации. Приоритетите кои беа нагласени, за непречено реализирање на онлајн настава се следните:

- Обука за користење Дигитални едукативни материјали прилагодени на наставните единици.
- Дидактички насоки за реализација на настава на далечина, согласно наставните програми
- Обука за платформи прилагодени за проверка и тестирање на знаењата на учениците.
- Тимот за професионален развој на образовниот кадар, од направената анализа на
- потребите на наставниците од дополнителни обуки и релизираните активности во минатата година, ги издвои следните теми (компетенции) кои остануваат да се реализираат во оваа 2023/ 2024 учебна година.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец Септември.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

Во овој дел ги наведуваме сите училишни и интерни програмски определби кои придонесуваат за професионален развој и стручно усовршување на стручните соработници и наставници. Покрај нив, активно ќе учествуваме и на сите семинари и едукативни работилници организирани од МОН, БРО УСАИД или други невладини организации.

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализација | Методи и постапки за реализација |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на тимови кои ќе вршат обука на наставниците | Поголема ефикасност во работата, | Наставни-ци и ученици | Септември | Успешно функционирање на тимот |
| Идентификација за деца со посебни потреби | Препознавање на посебните образовни potrebi на учениците | Наставни-ци и ученици<br>Тимот за професионален развој | Септември-ноември | Успешно препознавање и помагање на учениците со посебни потреби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изведување настава и активности со знаењата стекнати од обуките | Прилагодување на наставата на потребите на учениците | Наставни-ци и ученици<br>Тимот за професионален развој | Февруари-јуни | Организирање на работилници |
| Следење на постигањата на учениците со посебни потреби<br>Дебати,трибини,размена на искуство | Прилагодување на наставата на потребите на учениците | Наставни-ци и ученици<br>Тимот за професионален развој | Февруари-јуни | Презентација |
| Ефективно училиште и професионален развој | Проучување и разработка на професионалниот развој како една од карактеристиките на ефективно училиште | Тимот за професионален развој | Март | Усна презентација на тимот |
| Изработка на извештај за постигнатите резултати и правење на анализа за потребите за професионален развој | Презентација на постигањата | Тимот за професионален развој | Мај | Воочување на потребите за професионален развој |

20.2. Активности за професионален развој

ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

| Вид на активност | Цел | Време на реализација | Носители |
|---|---|---|---|
| Изработка на план за професионален развој | Следење на професионалниот развој на наставниците, стручната служба и директорот | Јули | Тим за професионален развој |
| Евидентирање на реализираниот вид на професионалниот развој во Училишната база на податоци<br>Педагошкиот картон на наставникот;<br>Професионалното досие | Утврдување и дополнување на базата со податоци | Август | Тим за професионален развој |
| Самостојно следење на стручна и прирачна | Унапредување на стручното знаење | Во текот на учебната | Наставници<br>Стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| литература | | година | Директор |
| Вклучување на училиштето во проекти и семинари кои промовираат индивидуален пристап кон ученикот | Едукација на наставниците, стручната служба, директор за усовршување на стручното знаење | Во текот на учебната година | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |
| Опсервирање на јавни часови кај свои колеги од училиштето | Подобрување на квалитетот на наставата | Во текот на учебната година | Наставници |
| Едукација на наставниците за работа со талентирани ученици. | Унапредување на стручното знаење | Ноември-декември | Дефектолог<br>Психолог |
| Партнерство со други училишта од општината и пошироко | Размена на идеи и искуства | Во текот на учебната година | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |
| Посетување на on-line курсеви од областа на интерес | Унапредување на стручното знаење | Во текот на учебната година | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |
| Планирање на дополнителната,<br>додатна настава и воннаставни активности | Подобрување на квалитетот на наставата | Во текот на учебната година | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |
| Изработка на квалитетни годишни и тематско-процесни планирања | Подобрување на квалитетот на годишните, тематско процесните и дневните планирања на наставниците | Август | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |
| Планирање на оценувањето | Подобрување на етичноста во оценувањето | Август | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |
| V.Б.2. Развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето | Улогата на родителите во образовниот процес.<br>Зајакната соработка меѓу родителите и училиштето | Во текот на учебната година | Родители и наставници |
| II.А.3 Познава современи стратегии за реализација на наставата | Збогатување на знаењата за активна настава со техники | Јануари | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор |

20.3. Личен професионален развој

- Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат.

- Министерот донесува годишна програма за обуки за стручно усовршување на наставниците до крајот на месец јануари за тековната година.
- Предлог годишната програма за обуки за стручно усовршување ја изработува и предлага Бирото во соработка со Центарот и Државниот просветен инспекторат.

20.4. Хоризонтално учење

| | Активност | Реализатори | Време |
|---|---|---|---|
| **1** | Поддршка на наставниците во избор на ученици за ученичка заедница Прирачник за,,Демократско учество на учениците во училиштето“. | **Училишен тим за меѓуетничка интеграција** | **Септември** |
| **3** | Поддршка на наставниците за изведување активности со ученици од различен етнички состав Работилници од Прирачникот за Активности за заедничко учество на учениците со мешан етнички состав,, | **Училишен тим за меѓуетничка интеграција во соработка со партнер училиштето** | **септември октомври** |
| **5** | Менторства и сертификација | **Определени наставници ментори** | **Континуирано** |
| **5** | Стратегии за намалување на малтретирање и сајбер насилство | **Училишен тим за ненасилно однесување** | **Ноември** |

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Наставниците во основните и средните училишта може да напредуваат во звања

Категоријата наставник се добива со полагањена стручен испит за наставник. Наставникот може да напредува во звањата наставник-ментор и наставник-советник.

Професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на Бирото и Центарот.Бројот на наставници кои може да се стекнат со звања наставник-ментор или наставник-советник за секоја општина, општина во градот Скопје, односно град Скопје за секоја фискална година го определува министерот, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители и нивно вклучување во проектните активности. Соработката со локалната средина ќе се оствари преку редовни средби на Советот на родителите на училиштето, на Советите на родителите на паралелките и на Училишниот одбор. Целта на оваа соработка со локалната средина покрај останатото ќе биде: мотивирање на родителите за проширување и продлабочување на соработката, нејзино интензивирање, промена на ставовите

на родителите кон училиштето, подигање на нивото на педагошките знаења на родителите и поттикнување на месното население на работни акции од локален карактер. Родителите и локалната самоуправа ќе го остварат своето влијание врз училиштето во сите области на неговата работа преку работата на Училишниот одбор. При организирањето на разновидни манифестации за одбележување на: државни празници, јубилеи, годишнини на познати историски дејци и друго училиштето ќе соработува со локалната средина. Ќе се организира одбележуваање на Денот на училиштето преку повеќе пригодни манифестации меѓу кои и свечена академија. Исто така училиштето со своја програма ќе учествува на Детските смотри од слободните ученички активности, ќе организира посети на кино, театарски претстави, изложби, музички манифестации, галерии и музеи.

Во животот и работата на училиштето Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

Во процесот на учење родителите и покрај тоа што се вклучени со нивните мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања, даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развојот и посебно ја поддржуваат соработката за напредување на учениците-таленти ( професионална и стручна помош од страна на родителите за истите). Семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

За активностите во училиштето родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др. За поголема вклученост на семејството во училиштето, тоа организира едукативни работилници за родители, Типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници. Организира советодавно-консултативни работилници-индивидуални и групни, посета на семејства и др. Постојат многу начини и идеи за поголема вклученост на семејството во активностите на училиштето. Некои од нив се:

1. **Отворен ден за родителите**- Мојот/мојата – татко/мајка знае ( на одделенски час или на некој друг час чија материја е соодветна со предавањето, родител одржува предавање на учениците за својата професија-родителот е во улога на наставник ) 2. “ Кај мојот дедо “ – заедничка посета ( ученици и родители ) на фарма ( за ученици од одделенска настава ) 3. Организирање на спортски натпревари по повод патрониот празник ( или други празници ) помеѓу родители и наставници, а во улога на навивачи се учениците со цел да се развие другарувањето и спортувањето меѓу учесниците 4. Добротворна акција за собирање пари и облека- “ Ние сме хумани, а вие? ”- организатори на целата акција се родителите и одделенските или класните раководители. Во одреден ден родителите (по еден претставник од родителите од секоја паралелка заедно со одговорните наставници паричните средства ги собираат и по договор ги префрлаат на сметка на некоја институција како хуманитарна помош, а собраната облека ја предаваат во Црвен крст). 5. Работна акција за уредување и чистење на дворот и непосредната околина на училиштето (наставници, ученици, и родители) 6. По повод празникот на жената 8 ми Март се организира акција изработка на ракотворби под името “ Мојата мајка / баба и јас умееме “ кои потоа на аукција ќе се продаваат, а средствата се повторно за хуманитарни цели или за санирање на некој недостаток во училиштето 7. Организирање на заеднички излет на паралелките заедно со родителите на учениците под мотото “ Ајде да се дружиме и другаруваме “. Се спроведува на тој начин што секој одделенски и класен раководител на паралелката во соработка со претставниците на Советот на родители се договараат, организираат и одат на заеднички излет во непосредната

околина на градот. 8. Организирање на Училишна-Образовна Програма по повод 22-ри Ноември Ден на Албанската Азбука и 28-ми Ноември, ден на Албанското знаме. 9. Организирање на активности по повод 7-ми Март, ден на Албанскиот наставник, 10. Организирање на активности по повод денот на буквите (месец Maj) идр.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

- преку Советот на родители
- преку групни и индивидуални средби со наставници
- преку стручната служба на училиштето
- преку Е-дневникот

Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.

Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

Во активностите во училиштето ќе бидат земени во предвид дадените предлози од стана на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата , промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

Во донесување одлуки

Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.

| Активности | Извршители | Време |
|---|---|---|
| Информирање на родителите за меѓусебните права и обврски на родителите, учениците и училиштето: · Обврски што произлегуваат од законските прописи на основното образование и воспитание; · Посебни права, обврски и одговорности на учениците, нивните родители и училиштето · Запознавање со годишната програма на училиштето | директор, психолог, педагог, наставници | учебна година 2023/24 |
| Вклучување на родителите во подрачјето грижа за здравјето на учениците, за подобрување на условите за работа (хигиена во училиштето, училниците, ходниците, училишниот двор и други простории) | родители, наставници, педагог, психолог | учебна година 2023/24 |
| Вклученост на родителите во следењето на субјективното оптоварување на учениците; · осовременување на наставата преку запознавање на формите и методите и информирање за проверувањето и оценувањето на знаењата на учениците. | родители, наставници, психолог, педагог | учебна година 2023/24 |
| · Соработка со семејството и училиштето | психолог, педагог, | учебна година |

| | | |
|---|---|---|
| | наставници | 2023/24 |
| Вклучување на родителите во воннаставните активности : предметна настава (слободни активности за стекнување знаења слободни културно-уметнички активности и технички активн.); одделенска настава(секциите што се застапени во паралелката) | родители, наставници, | учебна година 2023/24 |
| · Организирање и изведување на заеднички прослави (Нова година, Патронат на училиштето и др.) | родители, наставници, ученици | По договор |
| · Анализа на работата на училиштето во текот на целата учебна година. | директор, психолог, педагог | учебна година 2023/24 |

21.3. Едукација на родителите/старателите:

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето редовно организира манифестации, хепенинзи, забави со цел да се интензивира соработката меѓу установте и училиштето на локално ниво и да се поттикне и развие меѓусебната соработка.

Локална заедница:

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на учебната година се планираат состаноци, разни средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување. Училиштето соработува со Општината при реализација на разновидни активности: реализација на еко-програмата, разни собири и здружувања за одредени случувања во училиштето, одбележување на патрониот празник на училиштето, приемот на првачиња во Детската организација, отворени денови, промоција на активности за меѓуетничка организација, соработка со бизнис заедницата, посети на градоначалник, едукативни центри и институции во Општината.

Институции од областа на културата

Учениците континуирано ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси, ќе посетат изложби, културно-историски споменици, а во планирањата на наставниците вклучени се и организирани посети (виртуелно и со физичко присуство) музеи, кинотеки, театри, детски фестивали, саем на книгата и друго.

Институции од областа на образованието

- Училиштето има соработка со:

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда ( наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. Нашето училиште соработува со регионалното стручно тело за проценка на функционалности според Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје, каде што родителот го носи своето дете на проценка и таму му вршат тестирање и процека дали детето има потреба од одложување на почетокот на образование, потребата од индивидуална поддршка (образовна и/или лична асистенција), интензивна поддршка со ИОП или модифицирана програма.

Училишниот инклузивниот тим согласно програмата за работа, врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси.

Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от, а на барање на родителите и почесто, и по потреба врши дополнување и нивна корекција.

**8.14. Туторска поддршка на учениицте**

Во учебната 2023-2024 година не се огранизира туторска поддршка на учениците.

**8.15. План за образовниот медијатор**

Во учебната 2023-2024 година согласно законот за основно образование ќе доставиме барање за ангажирање на образвен медијатор чија цел е да презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

**9. Воннаставни активности**

**9.1. Училишни спортски клубови**

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура. Спортските активности, игрите, гимнастиката ги задоволуваат потребите за физичка активност кај учениците. Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови ( атлетика, карате, џудо, борење, пинг-понг, шах). Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје, општина Гази Баба и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.

Цели на училишниот спорт: правилен психофизички развој на учениците,

зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.
Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност,всила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем. Овие цели се постигнуваат преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос и др.
Евалуација на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоенинагради.
Училишниот спортски клуб "Вера Јоциќ 2014" е основан 2014 година.
Одговорни наставници на училишниот спортски клуб е Мирјана Стојкова. Клубот опфаќа повеќе видови на спортови како на пример: одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и спорт по избор. Може да се вклучат деца од сите возрасти. Начинот на финасирење е: само финасирање (членарина), спонзорство, донации, локална самоуправа.
За реализација на слободните спортски активности се задолжени наставниците по Физичко и здравствено образование**.**

**9.2. Секции/ Клубови**

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно (1- 2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка, во различни паралелки од иста година (на пример, VI. одделение), или во различни години во рамки на ист возрасен циклус (на пример, VII - IX. одделение). Притоа е битно целата група заедно и континуирано да учествува во работата на секцијата.
Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.
Во рамките на овој вид воннаставни активности ќе се реализираат:

- секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/ области ( од странски јазици , млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози, математичка, информатичка, литературна, ликовна);
- секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура);
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање);
- спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пингпонг, планинарење, јога, пилатес, велосипедизам)

Планирањето на слободните ученички активности иако е вклучено во Годишната програма за работа на училиштето, тековно се модификуваат и дополнуваат во договор со учениците, согласно нивните интереси, можности, вештини и способности. Во текот на наставната година сите дополнително произлезени секции се планираат и вклучуваат во анекс кон Годишната програма за работа на училиштето.
Согласно Концепцијата за воннаставни активности за учебна 2023-2024 година изборот на секции и одговорни наставници ќе се распредели по спроведена анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секции кои ќе се реализираат. Изборот на наставници ќе се изврши на Наставнички совет, врз основа на ангажираноста на секој одделекен наставник во наставни активности.

За успешна организација и реализација на воннаставните активнсти, училиштето ќе обезбеди соодветните просторни услови и потребните материјали, преку учество во проекти, доброволни прилози, донации, подароци, завештанија и легати.

### 9.3. Акции

Акциите се краткортајни воннаставни активности од општествен, хуманитарен или друг карактер. Акциите имаат за цел да развиваат интерес кај учениците за вклучување во општествено корисна работа, развивање на задоволство од работата, поттикнување на хуманост и солидарност, развивање на позитивен однос кон другарчињата како и поттикнување на учениците да дејствуваат и размислуваат еколошки односно од најмала возраст да се создадат еколошки навики со што ќе ја подигнат еколошката свест за зачувување на животната околина. Акциите се реализираат со активно учество на учениците, наставниците, родителите и поширокатa заедница.

Акциите кои ќе бидат реализирани во текот на учебната 2023/24 година се:

**Еколошки акции** – собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, есенско чистење, уредување на училишниот двор, одбележување на Ден на пролетта, Ден на планетата Земја, Ден на заштита на озонската обвивка, Светски ден на шумите и сл.

**Хуманитарни настани** - собирање парични средства, базари, хепенинзи, донирање на облека ,собирање на училишен прибор и др. Хуманитарните акции се организирани на ниво на училиште со активно вклучување на учениците, родителите, наставниците и во соработка со ОО Црвен крст-Гази Баба, локалната и деловната заедница.

**Базари за здрава храна, продажба на новогодишни и велигденски декорации.**

**Тековни акции** - активности зависно од иницијативи покренати на локално ниво, национално или интернационално ниво.

Сите акции детално се планирани во Програмите за работа на ниво на стручни активи и согласно насоките на БРО. Планот за реализација на акциите во учебна 2023-2024г. е даден во табелата.

| Акции | Содржини | Цели | Време на реализација | Одговорни наставници | Одделенија | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Детската недела | Собирна акција | Развивање чувство за солидарност и хуманост | октомври | Билјана Арсовска | Група ученици-претставници во Детската Организација од II до IX одд., родители, наставници | Акции, брошури, презентации |
| Европска недела на мобилност | Ден без автомобили Возење велосипеди | Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина | октомври | Билјана Арсовска | Сите ученици од I до IX одд. | Акции, брошури, презентации |
| Ден на гладта | Собирна акција | Да се подигне свеста на учениците за проблемот со гладта и развив на хуманост и солидарност | октомври | Елизабета Пејкоска | Подмладокот на ЦК, родители, наставници | Акции, брошури, презентации |
| Месецот на книгата | Подарување лектирни изданија - збогатување на училишната библиотека | Да се развива љубов кон книгата, читање на книгите, развивање чувство на хуманост, солидарн. | октомври-ноември | Билјана Арсовска Билјана Лазареска | IV-1 и IV-2 одд. родители, наставници | Акции, литература |
| Недела на грижа на | Испомош на стари лица, | Да развиваат навика за помош на | ноември | Елизабета Пејкоска | Група ученици од VI-1 и VI-2 | Посета на стари лица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| стари лица | посета на стари лица (снабдување со намирници, лекови, играње шах, помош) | стари и изнемоштени лица и развивање на светста кај учениците | | | одд., родители, наставници | |
| Новогодишни празници | Собирна акција за деца без родители – СОС детско село | Да се поттикне доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост | декември | Билјана Арсовска | Група ученици-претставници во Детската Организација од II до IX одд., родители, наставници | Сликовници, книги, училишен прибор, новогодишни пакетчиња, облека и обувки, посета на СОС – детско село |
| Новогодишни празници | Новогодишен хепенинг-собирање финансиски средства за потребите на учениците-паралелките | Развој на позитивно расположение по повод Новогодишните празници | декември | Сите одделенски раководители | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Новогодишни творби изработени од учениците |
| Први март – Ден на мартинките | Подарување мартинки во детската градинка ,, 25 мај ,, - Пони | Да се развива креативност и и творечка фантазија, соработка со локалната средина | март | Елизабета Пејкоска Ивана Јовановска Кате Митевска | III-1 и III-2 одд. родители, наставници | Волници, игли за плетење, презентации |
| Ден на пролетта | Хортикултурно уредување на дворот засадувајќи цвеќе и садници | Да се зајакне еколошката свест кај учениците | март | Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска | Ученичка заедница, родители, наставници | Садници, пролетни цвеќиња, градинарски алат |
| Ден на пролетта | Еко хепенинг со музички, ликовен и поетски перформанс | Да се развиваат уметничките таленти кај учениците и промоција на вештините на учениците | март | Рашо Радоњиќ Везира Идризовиќ Јасминка Трајковиќ Милена М. Пауновска | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Хор и оркестар, ликовни и литературни творби |
| Светски ден на планетата Земја | Еколошки активности – собирање отпадоци, чистење на училишниот двор и околните улици | Да се подигне нивото на свеста кај учениците за зачувување на животната средина, соработка со локална самоуправа | април | Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска Никола Попадиновски | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Пластични кеси, ракавици, градинарски алат |
| Верскиот празник Велигден | Велигденски хепенинг-собирање финансиски средства за потребите на учениците-паралелките | Развој на позитивно расположение по повод Велигден | април | Сите одделенски раководители | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Велигденски творби изработени од учениците |

## 10.Ученичко организирање и учество

### Ученичка заедница во училиштето

Активностите во ученичките организации во училиштето се од посебно значење за правилниот воспитно-образовен развој на учениците.

Во составот на воспитно-образовниот процес во училиштето активно работи и ученичката заедница. Во неа членуваат сите претседатели од 1во-9то одд. Се избира свое раководно тело од ученици кои на состаноците ги поставуваат и успешно ги решаваат проблемите од секојдневниот детски живот. Во почетокот на учебната година наставниците и учениците изготвуваат план и програма за работа на заедницата и во текот на учебната година се реализира истиот. На состаноците се решаваат одредени проблеми и прашања и се поставуваат одговори кои влијаат врз успехот и поведението на учениците, културно-забавниот живот, социјалните прашања, хигиената и естетскиот изглед на училиштето итн.

Ученичката организација овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

Според членот 68 од Законот за основно образование, „сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката (одделението). Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето.

### Ученички правобранител на ниво на училиште за 2023/2024 година

Ученикот правобранител е ученичка функција на ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент

.

| Програма за работа на ученички правобранител | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Содржина** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
| 1 | Запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на децата | октомври | стручна служба, ученички правобранител, заменици |
| 2 | Работилница 1: Правата на децата - Имам право да ги знам моите права | октомври | стручна служба, ученички правобранител( заменици), Ученички парламент |
| 3 | Комуникација со членовите на Ученичкиот парламент и останатите ученици | во текот на целата учебна година | ученички правобранител (заменици) |
| 4 | Учество на состаноците на Ученичкиот парламент, давање предлози и сугестии | во текот на целата учебна година | ученички правобранител (заменици) |
| 5 | Работилница 2: Моја одлука, твоја одлука | ноември | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 6 | Инфо ден за промоција на работата на ученичкиот правобранител Дебата : Борба против корупцијата ( со ученици од осмо и деветто одделение | декември | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 7 | Прибирање поплаки од ученици и доставување до стручна служба | во текот на целата учебна година | стручна служба, ученички правобранител |
| 8 | Работилница 3: Превземање акција во училиште | февруари | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 9 | Работилница 4:Интеркултурно образование | март | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 10 | Учество во дебати | во текот на целата учебна година | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 11 | Дебата: Почитувањето на различностите – услов за добра училишна клима; | април | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 12 | Дебата : Кои се одликите на добриот лидер? | мај | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 13 | Извештај за работата на ученичкиот правобранител во учебната 2023-2024г. | јуни | стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Врз основа на одлука од Училишен одбор стручен тим за изработка на програма за екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците ги определи следниве посети:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | Септември-Октомври | Парк шума Гази Баба | II– IXодд. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Април-Мај | Раштак- Сарачево | II– IXодд. |
| **Еднодневна екскурзија** | Април-Мај | Тетово | III одд. |
| **Дводневнаекскурзија** | Април-Мај | Источна Македонија | VI одд. |
| **Тродневна екскурзија** | Април-Мај | Западна Македонија | IX одд. |
| **Настава во природа** | Април/Мај (по посебно изготвена програма) | Струга | V одд. |
| **Набљудувања** | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| **Посета на знаменитости и установи** | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

### 11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активност

| 11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активност | | |
|---|---|---|
| **- Одделенска настава -** | | |
| **Ученици вклучени во вонучилишни активности** | **Одделение** | **Вкупен број на ученици** |
| 1.Математичка секција | III-1, III-2 | 27 |
| 2.Ракотворби | III-1,III-2 | 27 |
| 3.Заштита на животната средина | IV-1 | 24 |
| 4.Сликање ,цртање и вајарство | IV-2 | 24 |
| 5.Одбојка | V-1 | 26 |
| 6.Образование за животни вештини | V-2 | 25 |

## 12. Натпревари за учениците

Ученички натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училиштни натпревари
- општински натпревари;

- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организираат, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот.

Во оваа учебна година ќе се организираат интерни училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари.

**Планирани училишни натпревари**

| Предмет | Одделение | Наставник | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | VI - IX | Јасминка Трајковиќ<br>Милена Манчиќ-Пауновска | Февруари |
| Англиски јазик | VIII - IX | Дафина Ангелеска<br>Елеонора Павлова | Февруари |
| Математика | IV - IX | Ксенија Бојчевска<br>Милена Аргирова | Февруари |
| Природни науки | IV - VI | Даниела Кузмановска<br>Драган Димитровски | Февруари |
| Биологија | VII - IX | Даниела Петрушевска | Февруари |
| Географија | VI - IX | Драган Димитровски | Февруари |
| Хемија | VIII-IX | Даниела Петрушевска | Февруари |
| Физика | VIII-IX | Андреј Патлиџановски | Февруари |
| Информатика | VI -IX | Милена Аргирова | Февруари |

Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

За унапредување на мултикултурализмот/интеркултирализмот и меѓуетничка интеграција се грижи формиран тим за училишна интеграција составен за период од три години во состав на директорот Игор Китановски, педагогот Катерина Б.Костадиноска, Никола Попадиновски – предметен наставник, Везира Идризовиќ – предметен наставник, Тања Стреоска Урумовска – одделенески наставник како и претседател на ученички парламент и ученичкиот првобранител (кои во учебна 2022-2023 год. го заврши 9-тото одд) и ќе бидат одбрани нови на почетокот на 2023-2024 год. Училишниот тим за унапредување на мултикултурализамот/ интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција планира и огранизира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог /интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.

Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии:

**1. Интеграција на содржина;**
**2. Процес на создавање знаење;**
**3. Намалување на предрасудите;**
**4. Педагогија на праведност и**
**5. Поттикнувачка училишна култура и структура.**

Преку мултикултурната едукација во училиштето учениците ќе учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во нашето училиште, без оглед на која етничка, религиозна и јазична група припаѓаат.

Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да серазвиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобруваи соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници.

И оваа учебна година во нашето училиште ќе продолжи да се применува Проектот за меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем. Сите наставници ќе бидат вклучени во проектот преку одржување на часови и разни активности во врска со меѓуетничката интеграција, со континуирана помош од страна на директорот и стручната служба. Во проектот покрај учениците и наставниците ќе бидат вклучени и родителите без разлика на нивната етничка припадност. Во учебната 2022-2023 година се планирани заеднички активности за унапредување на мултикултуралимот со училиште со ученици од друга етничка припадност со кое ќе потпишеме меморандум за соработка во почетокот на наредната година. Средства за реализација на активностите се обезбедуваат од Буџетот на РС Македонија, буџетите на општините и од други извори (донации, делегати, подароци и друго), а се користат наменски.

Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ „Дитуриа “- О. Сарај, во кое наставата се одвива на два наставни јазици: албански и босански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку проектни активности, посети на културни и образовни објекти и мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Одговорни лица се Тања Стреоска Урумовска, координатор од ООУ „Вера Јоциќ“ и Везира Идризовиќ, координатор од ООУ „Дитуриа“.

Во училиштето се реализираат разни видови други активности, преку кои учениците осознаваат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадностсе вклучени и во различни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги наброиме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани. Дел од

активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Ученичкиот парламент на училиштето и нејзините тела. Ученичкиот парламент го поддржува демократското учество на учениците во училиштето, а со тоа и унапредувањето на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција.

**Акционен план за учебната 2023/24 година:**

| Цели | Активности | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање МИО активности на училишно ниво | МИО активности во годишната програма<br>Планирање на МИО – активности во Годишна програма и самоевалуација за состојбите<br>Дефинирање на улоги на членовите на тимот<br>Дефинирани одговорности на членовите на тимот според МИО активностите. | тим за училишна интеграција | септември 2023 | прирачници веб-страна | Успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО |
| Поттикнување соработка меѓу ученици од различни училишта и развивање мултикултурен сензибилетет | Формирање општински ученички парламент | Претседателите на ученичките парламенти од секое училиште во општината; ТУИ; наставници | Октомври 2023 | ИКТ (онлајн соработка); материјално - технички средства; прирачници; стручна поддршка | Зголемена соработка меѓу учениците на општинско ниво. Развиени чувства за: толеранција, почит и емпатија |
| Поттикнување соработка и комуникација помеѓу ученици припадници на различни етнички заедници и развивање пријателски односи и врски. | Изработка на вебстраница за проектот: „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ | тим за училишна интеграција, наставници, ученици, | Октомври-ноември 2023 | ИКТ (онлајн соработка); материјално - Технички средства; прирачници; стручна поддршка | Зголемена соработка на релација: ученик - наставник - родител - локална заедница. |
| Комуникација планирање и спроведување заеднички активности со училиште со друг наставен јазик | Продолжување на партнерството со училиште со друг наст.јазик<br>-Организирање на заедничка работна средба меѓу тимовите на партнерските училишта.<br>-Изработка на предлог план за соработка и комуникација меѓу партнерските училишта<br>-Достава на потпишан формул. за продолж. на партнерството. | Одговорните наставници од двете училишта: Везира Идризовиќ и Тања Стреоска Урумовска | Ноември-декември 2023 | Договор за партнерство (формулар) | Воспоставени партнерски односи со училиште кое работи на друг наставен јазик. |
| Промоција на активности помеѓу основните училишта на ниво на Општина Гази Баба. | Изработка на постери и флаери за проектот: „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ | тим за училишна интеграција, наставници, ученици | Декември 2023 | -ученици од различна националност,<br>-одговорни наставници,<br>-родители,<br>-материјали за работа | Размена на искуства и вештини меѓу ученици од различна националност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Развивање вештини за комуникација, почит, раководење и соработка, другарство помеѓу ученици од различна националност | Планирање и реализација на конкретни активности во соработка со партнер училиштето на различни јазици и етничко потекло | - Кординатор и членови на СИТ-ООУ „Вера Јоциќ“ и ООУ „Дитуриа“ Стручна служба на ООУ Вера Јоциќ и ООУ„Дитуриа“ наставници<br>- ученици<br>-ученичка заедница | Јануари-февруари 2024г | - прирачници за ОЖВ<br>-програма за работа на тимот за училишна интеграција<br>- програма за работа на УЗ | Успешно спроведени планирани активности со цел зајакнување на меѓуетничките односи меѓу наставниците, родителите и учениците |
| Иницирање активности за вклучување на родителите и Општината во активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и координација на нивната реализација | Соработка со родители и општините | - тим за училишна интеграција;<br>- наставници<br>- ученици<br>- Совет на родители<br>- Училишен одбор | Март 2024 | -акциони планови<br>-програми за работа<br>- правилници | Активно вклучување и поддршка во спроведување и промовирање на самостојните и заедничките активности |
| Спознавање на почитта и грижата за другите како модел на заедничка иднина | Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите | ученички парламент, наставници, родители | Април 2024 | ДВД<br>ЦД<br>проектор | Ученичка клима на заемност, почитување и разбирање |
| Промоција на реализираните активности | Промотивни настани на училишно ниво за презентација на активностите (изработка на паноа, брошури и флаери кои ќе се делат на родителите и ажурирање на веб-страната на училиштето) | Тим за училишна Интеграција, Наставници | Мај | - Веб-страна на училиштето<br>-Промотивен материјал (постери,брошури и сл.) | Промоција на реализираните активности |
| Планирање МИО активности на училишно ниво | Информативно – Консултативна средба со наставниците за планирање на МИО активности | Договор и рамка за планирање на ПМИО активностите за идната учебна година | Јуни | Тим за училишна интеграција Наставници | Зајакнување на меѓуетничката интеграција во училиштето |

Одговорни наставници:
Тања Стреоска Урумовска (одделенски наставник)
Никола Попадиновски (предметен наставник)

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Реализацијата на проекти им овозможува на учениците активно учење, придонесува за зголемен интерес и ангажман за учење и работа, а истовремено учениците стануваат свесни за важноста на комуникацијата и тимската работа.
Во училиштето се реализираат следните проекти: Во учебната 2023/2024 година во училштето ќе се реализираат следните проекти:
* **Проект –** Заштита на животна средина и климатски промени

-Цел: Надградување на постоечките и креирање на нови вештини и знаења од областите на заштита на животната средина и климатските промени во образовниот систем и реализирање на активности преку воннаставна програа

**Исходи:** Намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени за подобро општетсво

Одговорен наставник: Билјана Арсовска

* **Проект -** Одбележување на Европска недела на мобилност

-Цел: Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина

**-Исходи:** свесност кон зачувување на животната средина за подобро општество

Одговорен наставник: Билјана Арсовска

**Интернационален проект:** Robotic Versus Bulling Амбасадор училиште на НВО пријатели во образованието.

**-Цел:** развивање просоцијални вештини кај учениците:

–мир, солидарност, еднаквост, емпатија, помагање, инклузија, повеќејазичност, заштита од меѓуврснички насилство.

Одговорен наставник:Билјана Лазареска

***Проект:** Селектирање и одлагање на одпад.

Цел: развивање на свест за одлагање и селектирање на отпад, заеднички да придонесеме за почиста здрава животна средина.

Одговорен наставник: Ивана Јовановска

| Проекти | Целта на проектот | Реализиратори на проектот |
|---|---|---|
| **Искуствено учење Заштита на животна средина и климатски промени** | Надградување на постоечките и креирање на нови вештини и знаења од областите на заштита на животната средина и климатските промени во образовниот систем и реализирање на активности преку воннаставна програа | Наставници од одделенска Стручна служба |
| **Европска недела на мобилност** | Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина | Сите ученици од I до IX одд |

| Ред. бр. | Име на проект | Цел на проектот | Исходи од реализација | Временска рамка | Вклученост на наставници | Средства за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Интеркултурна вртелешка | Запознавање на учениците со нови обичаи, култури и традиции од различни земји низ целиот свет преку различни активности и работилници | Да ги прошират видиците, да создадат сопствен поглед на светот, да развијат способност на сочуство со другите (отстранување на предрасуди), да равиваат отворен и толерантен дух, да | од ноември 2023 до мај 2024 | Билјана Лазареска | карта на светот, кутии од чевли, хартија во боја, книги со текстови за различни држави од цел свет, хамер, хартија во боја, предмети и материјали (топчиња, конзерви, креди во боја, папки, фолии за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | се ориентираат на картата на светот | | | пластифицирање, чаши, разни семиња) |
| 2. | Емпатико | Да поттикне емпатија, љубопитност и креативност преку различни ученички интеракции, како и употреба на соодветни ресурси за наставниците и да создадат значајни искуства. | Развиени карактерни вредности кај учениците, како што се емпатија, љубезност, љубопитност и креативност. | од септември 2023 до мај 2024 | Билјана Лазареска, Виолета Ванева, Виолета Поповска, Јасминка Трајковиќ | хамери, хартија во боја, тематски книги за развивање на просоцијални вештини, фолии за пластифицирање |
| 3. | Интеркултурна интервенција – Нансен дијалог центар | Зајакнување на капацитетот на училиштето со иницирање на интеркултурни и иновативни образовни активности и практики, како и промоција и примена на дијалогот во насока на превенција на конфликти, помирувањето и градењето на мирот. | Развиени интеркултурни вештини<br>Развиена интерперсонална комуникација меѓу учениците<br>Негување на социо-емоционална клима во училницата | од септември 2023 до мај 2024 | Билјана Лазареска, Виолета Ванева, Виолета Поповска, Јасминка Трајковиќ | хамери, хартија во боја, фолии за пластифицирање, книги и енциклопедии |
| 4. | СТЕМ практики и предизвици за полесно учење | Активностите и ресурсите вклучуваат експериментирање со виртуелни онлајн лаборатории и се засноваат на педагошкиот принцип на учење базирано на истражување, проектно и искуствено учење. | Развиени СТЕМ вештини кај учениците, како што се критичко размислување, способност за решавање на проблем со предлози за конкретни решенија, креативност, соработка, истражувачки вештини со генерирање тестирање, донесување одлуки врз база на добиените податоци и наоѓање на решенија. | од септември 2023 до мај 2024 | Билјана Лазареска | онлајн ресурси и виртуелни лаборатории, |
| 2. | Мали, но чудесни роботчиња одделенска E - Twinning проект ROBY-Robotic versus Bullying<br><br>Училиште на 21-ви век | Проширување на знаењата на учениците за основи на програмирање и кодирање преку различни активности и работилници, имплементација на современи | учениците од I и II одд. да решаваат проблеми по однапред одредени правила и чекори, да објаснуваат за чекорите кои ги превзеле во активност, а учениците од Vодд. да | од октомври 2023 до мај 2024 | Наставници од 1 до 9 одд. | Микробит - уреди, роботчиња „ROBY-MIND“, листови во боја, хамери во боја, компјутери, батерии, фломастери, мобилни телефони |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | наставни средства во наставата во соработка со Frands of Education и дел од Erasmus+ Proekt ROBY | програмираат и кодираат, да решаваат проблеми по однапред одредени чекори и да ги објаснуваат чекорите кои ги презеле, да препознаат и да се справуваат со различни форми врсничко насилство | | | |
| 3. | Ослободување на училиштата од пластика SPEM (School Plastic Free Movement) | Едуцирање на децата за штетноста на пластиката и проблемите кои произлегуваат од нејзина употреба, развивање креативност кај децата за измислување алтернативни материјали кои трајно ќе ја заменат пластиката во училиштата, креирање на платформа за споделување на информации за ученичките постигнувања, преку игровни активности и стратегии да ги вклучиме родителите и локалната средина да се откажуваат од користење на пластика и др. | Да се развие свесноста кај учениците за потребата од здрава животна средина, да ја избегнуваат употребата на пластиката во училиште и во секојдневниот живот, да разберат дека мораме да го смениме начинот на живот бидејќи станавме најголем загадувач на планетата Земја; | од октомври 2023 год. до мај 2024 год. | Билјана Лазареска | хамери, хартија во боја, фломастери, компјутер, мобилни телефони |
| 4. | „Училиште на 21 век“ | Започна со реализација во 2019 година откако група наставници посетија обука организирана од Британски совет и МОН, а потоа во 2022 обуката ја посетија неколку одделенски наставници. Во сите предмети вклучено е критичкото размислување, бидејќи е една од основните вештини кои младите треба | За важноста на проектот ,,Училишта на 21 век”, говори и фактот дека развивањето критичко размислување е еден од приоритетите на училиштето за учебната година. | од септември 2023 год. до август 2024 год. | Наставници од 1 до 9 одд. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | да ги поседуваат за да бидат подготвени за работа во современата економија. Во наставата критичкото размислување се поттикнува и развива преку неколку стратегии: Сократови прашања, земање предвид различни перспективи, вреднување докази, потрага по длабоки структури. Исто така, внесен е во употреба уредот Микробит како средство за совладување содржини од информатика, но и изведување експерименти во други предмети. Посебно внимание се посветува на корелацијата интернет- критичко размислување, за да и користењето интернет се стави во служба на критичкото размислување. | | | | листови во боја, хамери во боја, компјутери, |
| 5. | Училиштето е регистрирано на платформата E-twinning | Преку која се реализираат најразлични проекти со училишта од други земји. Преку овие проекти се остварува директна комуникација на наставниците и учениците приклучени во конкретниот проект. | Целта на овие проекти е споделување на позитивни практики и размена на искуства меѓу наставниците и учениците како и запознавање со другите култури. | од септември 2023год. до август 2024 год. | Наставници од 1 до 9 одд. | листови во боја, хамери во боја, компјутери, |
| 6. | Меѓуетничка интеграција во образованието | Проект во рамки на кој се реализираат активности насочени кон остварување на главната цел - учениците да ги продлабочат своите компетенц. | Почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на | Во текот на цела учебна година | Наставници од 1 до 9 одд. | хамери, хартија во боја, фломастери, компјутер, мобилни телефони |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, | еднаквост на сите. | | | |
| 7. | Антикорупциска едукација на учениците | Да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството | Ги препознава механизмите за спречување на корупцијата | април и мај 2024 | Никола Попадиновски | Прирачник, презентација, снимен материјал, прашалник за ученици |
| 8. | Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето | Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес | Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки | Во текот на цела учебна година | Наставници од 1 до 9 одд. | хамери, хартија во боја, фломастери, компјутер, мобилни телефони |
| 9. | Го истаржуваме живиот свет во Националниот парк Пелистер | - да се запознаат, едуцираат учениците со природното богатство на нашата земја, богатството на македонската флора и фауна односно биолошката разновидност.<br>- да се запознаат и да го истражат живиот свет во Националниот парк Пелистер.<br>- Популизација и нејзина заштита.<br>- Да се подигне свеста за значењето на природата за човекот. | -Да ги прошират знаењата за природното богатство на нашата земја, богатството на флора и фауна,<br>- Да ја зголемат свеста и значењето на здрава животна средина.<br>-Изложба на детските креативни изработки. | од септември 2023 г. до мај 2024 год.- | Ивана Јовановска | карта на Националниот парк Пелистер,<br>-материјали за рециклирање и реупотреба<br>-хартија во боја, книги со тематски текстови<br>-хамери,<br>- предмети материјали и ресурси за работа (глина, глиномол, пластелин, дрвени бои, фломастери, темперни бои, колаж, креди во боја, папки, фолии за пластифицирање, |

## 15.Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнувања на учениците

Постигањата на учениците се составен дел од извештаите за успех кои редовно се следат, бележат и се прават споредбени резултати. Анализата на постигнатите резултати по паралелки и години ќе ја прават стручната служба и стручните активи и оттаму ќе произлезат конкретни активности за нивно подобрување.

Во текот на целата учебна година ќе се следат постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение. Ќе се прави анализа на успехот по предмети, за учениците кои постигнуваат послаби резултати ќе се организира дополнителна настава. Ќе се идентификуваат и надарените ученици за кои ќе се организира додатна настава каде учениците ќе ги продлабочуваат и прошируваат веќе стекнатите знаења. Исто така ќе се идентификуваат и учениците кои имаат потешкотии во учењето, со нив стручните соработници ќе обавуваат советодавни разговори и ќе ги упатуваат на ефикасни техники за учење и стекнување на работни навики.

**Училиштето има изготвено *процедура за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето:*** -Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;

-Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);

-Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;

-Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;

-Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;

-Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;

-Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);

-Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции ( Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Регионално стручно тело за проценка на функционирање попреченост и здравје, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Училиштето посветува внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците како преку редовната настава така и преку медиумите, веб страната на училиштето и преку социланите мрежи. Училиштето креира политики за поттикнување на наставниците и учениците во поголем број на натпревати на локално, регонално и државно ниво.

Согласно Законот за основно образование и интерниот *Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето* се спроведува следата процедура за наградување ученици:

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;

-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);

-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;

-на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;

-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);

-пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;

-за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација. -училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионалната ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно

професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.
На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на основното образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.
Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимање, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование.
Согласно програмата за професионална ориентација на учениците, нашето училиште работи на основната цел од ова подрачје а тоа е поттикнување на учениците најпрво да ги осознаат своите интереси и способности, да се запознаат со светот на занимањата, да превземат одговорност за својата иднина преку донесување на промислена одлука за изборот на средно образование/професија и на тој начин да постигнат успех во планирањата на својата кариера.

### 15.3. Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Основна задача на училиштето и целокупниот воспитно-образовен кадар е намалување на насилното однесување и спречување на појавите на дискриминација. За таа цел училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување и дискриминација по било која основа, со која се предвидени индивидуални и групни активности преку кои се врши едукација на учениците за препознавање и пријавување на сите видови насилство.
Во програмата се дефинирани видовите насилства по злоупотреба и занемарување, разни видови активности, работилници, техники, методи, како да се зајакне соработката со родителите и позитивната дисциплина, клима и соработката во училиштето. Составен дел на програмите и превентивните активности е соработката со родителите на учениците, кои се важен фактор во сузбивањето на сите појави на несакано однесување кај учениците. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците.
Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Училиштето има изготвено процедура за пријавување на појавите на насилство.
Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Во случај на сомневање за постоечка злоупотреба (физичка, емоционална или сексуална) и занемарување на децата, без при тоа да се има јасна информација за тоа, наставниците

и стручните соработници кои доаѓаат во контакт со детето и со неговото семејство го пријавуваат случајот до Центарот за социјална работа.
Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) во рамки на училишниот Клуб за превенција и едукација. Планот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација е даден во прилог.

**План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, спречување дискриминација**

| Содржина на работа | Цел | Ресурси | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање за сите вработени со упатството за постапка за пријавивање и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Запознавање на наставниците со новата програма за ненасилство во училиштата и нејзините цели за новата учебна година 2023/2024 | Матерјали од обука и стручни матерјали, интернет | Директор и стручна служба | Септември 2023 |
| Информирање на учениците од одд. заедница за Упатството и давање мислења за изработка на интерен акт за промоција на добросостојбата на учениците и заштита од сите видови насилство | Запознавање и вклучување на учениците во изработка на интерен акт за за промоција на добросостојбата на учениците и заштита од сите видови насилство согласно Упатството | Стручен матерјал и материјали од интернет | Стручна служба Наставници | септември 2023 |
| Интерна обука на тема „ Препознавање на насилство и справување со насилството“ | Подогнување на свеста и промена на вредностите и ставовите за различностите, човековите права, родиви еднаквости, ненасилна комуникација, развивање на емпатија и почитување на интегритетот и достоинството на другите. | Прирачници, протоколи, препораки, истражувања за состојбата, упатсво за заштита, интерни акти | Катерина Б.Костадиноска - педагог | Октомври 2023 |
| Работилница со родители | Вклучување на др.наставници во тимот,нови размислувања,мислења и запознавање и вклучување на родители преку предавање | наставници родители интернет | Училишен тим Стручна служба | Ноември Декември 2023 |
| Изготвување на прашалници за ученици, наставници и родители или др. материјали | Прибирање на податоци (дијагностицирање на состојбата) | Прашалници и стручен материјал | Училишен тим | декември/ јануари 2023/2024 |
| Работилници за ученици , родители и наставници | Успешна реализација и иплементација на новата програма за ненасилство | Осмислување и дизајнирање на работилниците | Училишен тим Стручна служба Тимот за соработка со родители | Месец февруари 2024 |
| Дебата на ученици/ученички парламент, наставници, родители | Превенција односно намалување на насилното однесување во училиштето | Училница | Училишен тим Педагог | Месец март/април 2024 |
| Реализација на работилница со ученици од VII одд | Превенција односно намалување на насилното однесување во училиштето | работилница | Училишен тим Педагог | Месец април 2024 |
| Творење ликовни и литературни творби | Промовирање на новата програма за ненасилно однесување преку цртежи | Детски цртежи и литературни творби со тема на | Катерина Б.Костадиноска Училишен тим | Месец Мај 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ненасилство | Ученици одд.наставници | |
| Соработка и вклучување на локалните медиуми | Промовирање на програмата за ненасилно однесување на локалните медиуми | Изложба и литературно читање | Училишен тим Педагог | тековно 2023-2024 |
| Изработка на флаер | Промовирање на новата програма за ненасилно однесување за поширокатa јавност | Стручна и помошна литература, изработки од ученици | Ученици Училишен тим Родители Тим за соработка со семејството | Мај 2024 |
| Извештај од планирани активности | Согледување на степенот на реализацијата на програмата | Извештај и документација | Училишен тим | Месец Јуни 2024 |

## 16.Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
- Учениците кои се опфатени во вториот период од IV-VI одделение се оценуваат со описни оценки на крајот на првиот, вториот и третиот класификационен период, а нумерички на крајот на учебната година.
- Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците.

За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП, оценувањето се врши согласно Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот/старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

Наставниците ќе применуваат формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за наставата. При *<u>формативното оценување</u>* во виртуелната училница наставниците ги користат следните постапки:

-Запознавање со целите на учењето и очекуваните резултати од учењето.

-Поставување прашања и задачи низ кои може да се види разбирањето на она што се учи

-Користење на разновидни методи и техники за проверување.

-Вклучување на учениците во оценувањето (самооценување и заемно оценување) заради учење едни од други.
Исто така наставниците континуирано ќе даваат повратна информација која може да биде во различни форми, но секогаш треба да биде детална и конкретна, со насоки за подобрување на учењето. Секоја повратна информација треба да ги содржи следните елементи: (1) што е добро направено, (2) што треба да се подобри и (3) што ученикот треба да направи за да го подобри тоа.
Таа може да биде во пишана форма, аудиоформа или видеоформа, а најсодветен е директниот разговор со ученикот преку телефон или онлајн апликации за комуникација (што ги овозможува платформата или други апликации што ќе ги користат училиштата итн.
*Сумативното оценување* треба да ги поседува следните карактеристики:валидност, веродостојност, објективност, правичност/непристрастност, транспарентност и јасност.
При формирањето на сумативната оценка наставникот има предвид колку ученикот бил активен во процесот на учењето.
Најчести дигитални техники што можат да ги користат наставниците за да се вреднува напредувањето и постигањата на учениците, односно најчести дигитални техники за формативно и сумативно оценување, во зависност од перформансите на соодветната платформа, се: објективни тестови со избор од понудени одговори, тестови со краток одговор, есејски прашања, дискусии, студија на случај, изведбени активности, онлајн игри, ученички списанија, блогирање, електронско портфолио (збирка на ученички творби што ги покажуваат резултатите постигнати од ученикот преку различни активности во наставниот процес, на пример: есеи, постери, фото графии, видео и аудиозаписи, ликовни творби и сл.) и др.
Во случај на потреба од повторна проверка на знаењата на учениците, поправен испит или за побрзо напредување во училиштето се формира испитна комисија.
За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето. Комисијата е составена од претседател и два члена-испитувачи. Претседателот на комисијата, по правило е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

### 16.2 . Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.
Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.
При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата, односно оценките.
Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.
Училиштето дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и

разговор со стручните соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со цел подобрување на квалитетот на наставата од особено значење е следење на квалитетот на работата на воспитно —образовниот кадар. Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручните соработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови начини преку кои може да се види истата.

Училиштето има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати во годината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид во работатат на секој наставник. Увидите имаат за цел да му помогнат на наставникот во подобрување на квалитетот на работата .

Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива во рамките на три подрачја :

- Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
- Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
- Следење на квалитетот на дополнителна и додатна настава;
- Следење на реализацијата на воннаставните активности;

За следењето на квалитетот на реализација на наставата изготвени се следните инструменти :

**Формулар за увид во годишно-глобално планирање- предметна настава**

| Одделение | Наставник | Дата на увид |
|---|---|---|
| **Индикатори** | | |
| Годишен глобален план по предмети | | |
| Годишен глобален план за секој предмет одделно по теми, број на часови и време за реализација | | |
| Меѓутематска и меѓупредметна корелација и интеграција | | |
| Конкретни цели за секој предмет одделно | | |
| Програма за дополнителна настава | | |
| Програма за додатна настава | | |
| Програма за воннаставни активности | | |
| Планирање час за одделенска зедница | | |
| План за имплементирани содржини од еколошка едукација во македонскиот образовен систем | | |
| Планирани содржини за МИО | | |
| Планирани содржини за претприемничко учење | | |
| Планирање на ИКТ во наставата (Е содржини, линкови) | | |
| Планирање задавање домашна работа | | |
| Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби (крај на септември) | | |
| Програма за соработка со родители | | |
| Програма за екскурзии | | |
| Критериуми и стандарди за оценување | | |

## Формулар за увид во тематско-процесно планирање-предметна настава

| Одделение | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | | | | | |
| Цели на темата | | | | | |
| Наставна содржина | | | | | |
| Тип на час | | | | | |
| Очекувани исходи | | | | | |
| Наставни форми | | | | | |
| Наставни методи | | | | | |
| Современи техники на учење и поучување | | | | | |
| Наставни средства и материјали | | | | | |
| Методи за следење на постигањата на учениците | | | | | |
| Среднорочен ИОП за ученици со ПОП | | | | | |

## Формулар за увид во годишно-глобално планирање- одделенска настава

## Формулар за увид во тематско-интегрирано планирање

| Одделение | Дата на увид | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | **Наставни предмети** | | | | | | | | |
| | **мак** | **мат** | **лик** | **муз** | **опш** | **физ здр.** | **ком пјут** | **прир. науки** | **одд. час** |
| Наслов на наставна тема | | | | | | | | | |
| Време на реализација | | | | | | | | | |
| Наставни содржини | | | | | | | | | |
| Цели по предмети | | | | | | | | | |
| Очекувани резултати | | | | | | | | | |
| Активности по предмети | | | | | | | | | |
| Наставни форми | | | | | | | | | |
| Наставни методи | | | | | | | | | |
| Наставни средства | | | | | | | | | |
| Современи техники на учење и поучување | | | | | | | | | |
| Методи за следење на постигањата на учениците | | | | | | | | | |
| Соработка со родители | | | | | | | | | |
| Среднорочен ИОП за ученици со посебни потреби | | | | | | | | | |

**Инструмент за евалуација на дневната подготовка на наставникот**

Датум_____ Одд.____

Наставник_____

Предмет_____

Тема_____

Содржина_____

Тип на часот _____

| Елементи од дневна подготовка | целосно | делумно | изостанува |
|---|---|---|---|
| Наставната содржина е во врска со тематското распределение | | | |
| Дефинираните цели се соодветни на содржината за дадениот наставен час | | | |
| Наставникот има јасна претстава какви промени кај учениците очекува од тој час – јаснодефинирани очекувани исходи | | | |
| Структурата на часот е поделена во фази и дадени се активности за секоја фаза | | | |
| Предвидените наставни форми и методи се во согласност со содржината што ќе се обработува | | | |
| Наставникот планира користење современитехники на учење во наставата | | | |
| Наставникот има планирано користење на соодветни нагледни средства | | | |
| Наставникот има испланирано активности со користење на ИКТ/Е - содржини кои сесоодветни на поставените цели | | | |
| Предвидените активности за учениците и наставникот се соодветни на поставените цели | | | |
| Наведени се активности и инструменти, методии техники за оценување на часот | | | |
| Наставникот планира домашна задача | | | |
| Наставникот води рефлексивни забелешки за поставените цели, очекуваните исходи од часоткако и за ефикасноста на часот | | | |

## Инструмент за посета на час

Датум_____ Одд._____

Наставник_____

Предмет_____

Тема_____

Содржина_____

| Тип на часот _____ | **Целосно** | **Делумно** | **Изостанува** |
|---|---|---|---|
| Училницата претставува пријатна атмосфера за работа (нагледни средства, изработки од учениците и сл.) | | | |
| Текот на часот се одвива според дневното планирање | | | |
| Наставникот ги користи претходните знаења на учениците во воведувањето на новиот Материјал | | | |
| Наставникот ги запознава учениците со очекуваните резултати кои треба да гипостигнат на крајот од часот | | | |
| Наставникот адекватно ги користипланираните форми и методи | | | |
| Наставникот користи современи техники научење во наставата | | | |
| Наставникот соодветно користи различнинагледни средства | | | |
| Наставникот користи ИКТ/Е-содржини | | | |
| Наставникот активно ја следи, координира и насочува работата на учениците | | | |
| Присутна е отворена позитивна атмосфера, соработка и взаемно почитување меѓу учениците и наставникот | | | |
| Наставникот користи постапки, инструменти за оценување | | | |
| Инструментите за оценување содржат јасни критериуми за оценување | | | |
| Наставникот им дава повратни информации на учениците за нивниот напредок и насоки за подобрување на учењето | | | |
| Планираните активности за учениците се во функција на постигнување на целите на часот | | | |
| Наставникот задава домашна задача со јаснинасоки за нејзина изработка | | | |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата за работата на училиштето се спроведува согласно Законот за основно образование и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта на крајот на секоја втора наставна година.
Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).
Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината.Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.
Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

## 17. Безбедност во училиштето

Безбедноста и здравјето во училиштето во суштина подразбира создавање наусловиза учење и работа во кои се преземаат мерки и активности со цел заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица кои на тоа имаат право. За непречено одвивање на воспитно-образовниот процес од особена важност е сите субјекти во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно. Родителите очекуваат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина за учење и да се чувсвтвуаат пријатно. За таа цел во училиштето постои видео надзор, физичко обезбедување и дежурни наставници. Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето вослучај на вонредни ситуации и тоа:
-Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
-План за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште;
-Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
-Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природнатакатастрофа), Тим за против пожарна заштита и одржување, Тим за комуникација и обезбедување и Тим за евакуација. Училиштето секоја учебна година планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди, по потреба добива поддршка од Црвениот крст на град Скопје, Против пошарната единица, Полициска станица и Брзата помош.

| Акционен план за безбедност во училиштето за 2023/24 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка** | **Носител** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| **Обучување на наставниците за пружање прва помош** | Обука по прва помош | Во текот на учебната година | Акредитирани организации | Компетентни и сертифицирани наставници за укажување прва помош | Директор |
| **Обучување на вработенит е во училиштето за безбедност и здравје при работа** | Обука на вработените во училиштето за безбедност и здравје | Секоја трета година | Акредитирани организации | Стекнати основнизнаења за безбедност и здравје на работното место | Директор |
| **Унапредување на знаењата на учениците за пружање прва помош** | Информативно и едукативно предавање на учениците за прва помош и заштита | Во текот на Учебната година | Одговорни наставници од Клубот за едукација и превенција Ученици- членови на Подмладокот на Црвен Крст | Стекнати основни знаења за значењето на првата помош и вештини за укажување на прва помош | Клуб за едукација и превенција |
| **Унапредување на знаењата на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи** | Едукативно предавање На учениците За превенција и заштита од Природни и други несреќи Вклучување на Учениците во Процесот на Планирање на плановите за заштита И евакуација | Во текот на Учебната година | Одговорни наставници од Клубот за едукација и превенција Ученици-членови на Подмладок от на Црвен Крст | Зајакната свест кај учениците за значењето на подготвеноста за елеменентарни непогоди | Клуб за едукација и превенција |
| **Спроведување симулациска вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)** | Спроведување интерна вежба за евакуација Одредување лица одговорни за евакуација на учениците со ПОП | Во текот на учебната година | Тим за спроведување на симулација Претставници од Црвенкрст/ Одговорни наставници Сите ученици и Вработени полиција, противпожарна единица брза помош | Обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи | Директор Тим за спроведување на симулација |
| **Евалуација на вежба по нејзината реализација** | Проценка на успешноста по реализацијата на вежбата за евакуација | По завршување на вежбата | Тим за евакуација | Согледување на недостатоците и корекција на постоечките планови и протоколи за заштита | Директор |

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

За одржување на хигиената во училиштето е одговорен техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.

Техничкиот персонал според утврдените задачи редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво.Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор редовно се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични детоксични средства. Во санитарниот простор редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад . Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува и интерни работни акции за средување на работното катче.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со -Поликлиника Ченто;Стоматолошка ординација-Ченто, Републички завод за здравствена заштита-одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите.За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од Iодд до VIодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.

За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во Поликлиника Ченто со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.

Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат.

Вакцинирањето се врши во Поликлиника Ченто во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

-I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит)
- II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС . По добиените резултати од проверката следи вакцина.
-VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.
Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените , а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
-IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето**

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници:,,Здрава храна за детство без мана“, „Умерена и разновидна исхрана “, „Колку сме „слатки“ ако јадеме слатки “, “.„Со брза храна станав спор“.
Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна.
За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана.

**19.Училишна клима**
**19.1 Дисциплина**

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците, и преку соработката на учениците со своите наставници, како и меѓу себната соработка на наставниците и соработката на раководниот тим и стручните соработницни на училиштето. Целиот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со учество на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во **Кодексот на однесување на училиштето**. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.
*Напомена : Правилниците се во прилог на Годишната програма. Распоредот на дежурни наставници е исто така дел од прилозите.
Контролата на движење и активности во училишниот двор ќе се обезбеди преку постоечкиот систем за видео надзор

| Акционен план за подобрување на училишната дисциплина | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетатана надворешни лица - посетители на Училиштето | Директор Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот научебна година | Безбедно одвивање на наставниотпроцес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставницитево училиштето во двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор Одговорен наставник за распоред начасови | На почетокот научебната година | Безбеден престој на учениците воучилиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на Ученичкиот парламент | Развивање свест кај учениците за важностана соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Ученичкиот паралмент и учениците , членови на истиот | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од странана учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплинатана учениците | Развивање самокритичност иодговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на Соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност засопственото однесување кај учениците и вработените |
| Очекувани исходи од планот за подобрување на дисциплината | | | | |
| Критериуми за успех | Инструменти | Индикатор за успешност | Одговорни за следење | Повратна информација |
| Намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници намален број изречени педагошки мерки за учениците | писмена евиденција од дежурства на наставниците евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници | намален број советувања на ученици и родители одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето. | директор, одделенски наставници класните раководители, стручни соработници дежурни наставници | -подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата -почитување на правилата на однесување во училиштето -намален број на изречени педагошки мерки за учениците -намален број на повикани родители на советување |

## 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник, поважни празници( Нова година, Велигден, Бајрам) како и хепенинзи на различни теми . Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за учество на учениците во естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

| Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставниците и учениците | На почетокот и во текот на целата учебна година | Одбележани значајни датуми и поводи |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Поттикнување на учениците за творење | Одговорни наставници ученици | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Естетско уредени училници и ходници во училиштето Развиени естетски вредности кај учениците |
| Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието | Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците | Наставници Ученици родители | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите Развиени претприемачки вештини |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор | Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање | Одговорни наставници и учениците | Октомври, март | Развиена еколошка свест кај учениците |
| **Очекувани исходи од планот за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето** | | | | |
| **Критериуми за успех** | **Инструменти** | **Индикатор за успешност** | **Одговорни за следење** | **Повратна информација** |
| Ететски уреден ентериер и опкружување Одбележување на важни празници Одбележување на денови од Еко календарот Одбележување на патрониот празник Одбележување на постигнати поголеми успеси на домашно и меѓународно ниво | Анкетни прашалници за родителите и учениците предлози од ученици,родители | Позитивни искази од ученици и родители и од локалната заедница признанија и награди на ниво на општина и град посети од видни личности (градоначаник и неговиот тим, МОН, БРО и др.) записници од увиди на инспекторите од МОН и Секторот за образование во рамки на нашата општина | Директор Стручни соработници Наставници Технички персонал Еко тим Тим за естетско уредување на училиштето Тим за подготовка за одбележување на поважни празници Тим за подготовка за одбележување на Денот на нашето училиште | Естетско уредени училници и ходници во училиштето развиени естетски вредности кај учениците функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето; развиена еколошка свест и претприемнички вештини кај учениците Промоција на сопственото училиште и неговата успешна работа Промоција на постигнатите успеси како на домашно така и на меѓународно ниво |

## 19.3 Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители) инвилвирани во воспитно образовниот процес. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

- Етички кодекс за однесувањето на учениците, наставниците и родителите;
- Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците
- Еко-кодекс

Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

**Прилог: 1. -Правилник за однесување на ученици, наставници и родителите**

Правилникот за однесување на учениците, родителите и наставниците ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што сите учесници во воспитно- образовниот процес имаат можност постојано да ги проследуваат и да се потсетуваат на истите.

Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

### ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

**Ученикот треба:**

- **навреме и редовно да доаѓа на настава;**
- **да се грижи за училишниот инвентар (клупите, компјутерите, столчињата и сл.);**
- **да се грижи за хигиената во училиштето, училишниот двор и блиската околина;**
- **да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;**
- **да доаѓа уреден;**
- **на часовите внимателно да слуша и да ги извршува училишните обврски;**
- **да придонесе за одржување на работната атмосфера;**
- **редовно да носи училиштен прибор;**
- **секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување;**
- **да доаѓа на училиште пристојно облечен;**
- **секогаш и секаде да внимава на својот речник и јазик, кој треба да е литературен, јасен и пристоен;**
- **да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;**
- **да помага на послабите ученици;**
- **да се однесува примерно и да се изградува во личност во која секој ќе може да има доверба;**
- **да се грижи и да придонесува во градењето на позитивни односи со сите ученици врз основа на другарството;**
- **да не користи мобилен телефон за време на часовите;**
- **да не носат вредни предмети во училиште, а доколку се загубат одговорноста е нивна;**
- **да не излегува непотребно од час;**
- **да не вика по ходниците, да не трча и да се придржува кон правилата на однесување;**
- **отпадоците да го фрли во корпа за отпадоци;**
- **да влезе во училницата штом го слушне звончето;**
- **да внимава на своето однесување и да не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;**
- **да им се обраќа со почит на возрасните;**
- **да користи пристојна лексика;**
- **културно да поздравува ; и да не користи вулгарни зборови кога комуницира;**
- **да не носи предмети со кои би можел да ги повреди другите ученици;**
- **да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;**
- **да не ги потценува способностите на своите соученици;**
- **како повозрасен да се однесува коректно кон помалите;**
- **го сослуша внимателно и да го почитува мислењето на другиот;**
- **да ги почитува различните од себе;**
- **да биде искрен со своите родители, дури и да згреши, тие ќе имаат разбирање за неговите**

постапки;
- редовно да ги информира родителите за случувањата во училиштето;
- задолжително на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

**Родителот- старателот треба:**

- да го почитува куќниот ред на училиштето;
- при влегувањето во училиштето, задолжително да се пријави кај дежурниот ученик;
- да го почитува времето и денот предвидени за прием кај наставниците;
- на соодветен култирен начин да комуницира со персоналот во училиштето и соодветно да се однесува со нив;
- редовно да се информира за постигнатиот успех и поведение на своето дете;
- редовно да ги исполнува обврските што ги има кон училиштето (матерјиални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- да не ги игнорира потенцијалните проблеми на сопственото дете и да реагира превентивно и благовремено;
- задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето;
- да има на ум дека неговите постапки се пример за однесување на сопственото дете;
- да знае дека училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека.

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

**Наставникот треба:**

- да се грижи за просторот во кој држи настава;
- да го почитува времетраењето на часот;
- секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- постојано да се стреми кон свој професионален развој и усовршување;
- да ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално да се однесува за време на часот;
- реално да го вреднува знаењето на ученикот;
- да им помага на учениците, преку разни форми на активности;
- да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат на час и во училиштето;
- редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- правилно да го насочува родителот за решавање на евентуални проблеми;
- да ги почитува колегите, да соработува, разменува мислења и искуства;
- да учествува во работата на стручниот актив;
- редовно да присуствува на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето и да ги почитува одлуките од истите;
- да придонесува за пријатна работна атмосфера и позитивна клима

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ

**Вработените во училиштето треба:**

- да ги извршуваат работните задачи што се во описот на нивното работно место;
- да соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот
- да доаѓаат навреме на работното место;
- да остваруваат коректна комуникација со останатите вработени во училиштето
- да биде достапен за родителите и учениците во термините за прием одредени од самиот вработен;
- со својот лик, однесување, говор и култура да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

**Прилог:2. -Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците**

Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што так налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така тре сакаме така да се однесуваме.

**Вредности:** почитување, демократичност, чесност, праведност, интегритет, храброст.

| **Ученикот се согласува:** |
|---|
| ➢ **Оценувањето да биде транспаретно**<br>➢ **Соодветно одговараат на поставените барања во воспитно- образовниот процес**<br>➢ **Ги прифаќаат насоките дадени од наставникот**<br>➢ **Да не се злоупотребуваат проверките на стекнатите знаења** |
| **Родителот се согласува:** |
| ➢ **Да го поддржуваат учењето на своите деца и да се залагање за правично оценување;**<br>➢ **Да се воздржат од несоодветно однесување со кое би ги довеле своите деца во недозволива состојба во однос на другите деца;**<br>➢ **Да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето;**<br>➢ **Кај своите деца да вродат правичност и чесност во процесот на оценување на нивните знаења од страна на наставниците;**<br>➢ **Да попречуваат евентуални обиди со недозволени постапки со цел да се зачуваа објективноста при оценувањето.** |
| **Наставникот се согласува:** |
| ➢ **Да бидат непристрасни, објективни, позитивни, отворени и подготвени да им ја дадат подршка и помош на учениците во процесот на оценувањето;**<br>➢ **Оценувањето да биде транспаретно и објективно;**<br>➢ **Да се промовираат високи морални вредности;**<br>➢ **Да не се подлегнува на поткуп и притисоци од надворешната средина при процесот на оценување;**<br>➢ **Да се почитува личноста на ученикот и родителот;**<br>➢ **Да има солидна соработка со останатите колеги, во процесот на оценувањето;**<br>➢ **При оценувањето да не прават дискриминација на учениците по било која основа (национална, верска, полова, расна, социјална сосотојба и сл.);**<br>➢ **Да се спротиставаат на неетичко однесување на други субјекти при процесот на оценување;** |
| **Директорот и стручните соработници во училиштo се согласуваат:** |
| ➢ **Да создадат култура на правично и објективно оценување;**<br>➢ **Да ги заштитуваат правата на приватност во оценувањето на учениците;**<br>➢ **Да обезбедат праведен процес при примедба во врска со оценувањето;**<br>➢ **Да спречат евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето.** |
| **Институциите надлежни за образованието треба:** |
| ➢ **Навреме да подготвуваат и поднесуваат квалитетни нормативни акти со кои се регулира оценувањето;**<br>➢ **Навреме и непристрасно да реагираат на приговори, жалби и молби во врска со оценувањето;**<br>➢ **Информациите од оценувањето кои им се службено доставени да не ги користат за ненаменски цели или на начин кој би произвеле или би довеле до негативни последици;**<br>➢ **Професионалната позиција да не ја користат за приватни цели поврзани со оценувањата;** |
| **Еко-кодекс на однесување во училиштето** |
| **Здрава училишна средина - здрави и среќни ученици!**<br>➢ **Грижи се за хигиената во училиштето, тоа е твојот втор дом!**<br>➢ **Одржувај ја уредна твојата училница - таа е наше огледало!**<br>➢ **Грижи се за растенијата во твоето училиште, тие ни го подобруваат дишењето!**<br>➢ **Негувај го и чувај го зеленото богатство во нашиот училишен двор!.**<br>➢ **Имаме канти, таму е местото за отпадоците!**<br>➢ **Собирај ја и складирај ја веќе употребената хартија на соодветно место!**<br>➢ **Биди самостоен, дојди на училиште со твојот велосипед!**<br>➢ **Селектирај, рецикирај и повторно употреби!**<br>➢ **И сончевата светлина е убава, штеди електричната енергија!**<br>➢ **Водата треба да се штеди!** |

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Ефективната организациска комуникација која е карактеристична за нашето училиште се фокусира на отворени и директни односи меѓу вработените и менаџерот, притоа резултирајќи со подобрување на посветеноста, продуктивносат и организациските резултати. Организациската комуникација ги сплотува сите членови на училиштето и ги води во една насока кон остварување на поставените цели. Училиштето по пат на ефективна комуникација успева да воспостави принципи на успешно училиште, подготвено на промени и динамичност. Организациската комуникација вклучува интеракција помеѓу поединците и групите во училиштето, промовира заеднички вредности, охрабрува тимска работа и развива цврсти врски помеѓу сите структури.

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него: директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи. Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-обрзовен кадар

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставничките компетенции за да се создаде квалитетен воспитно-образовен процес, а со самото тоа од тој процес да произлезат генерации на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високо квалитетни постигнувања. Преку професионалниот развој на наставниците се овозможува еден континуиран целоживотен процес на наставникот за стекнување, проширување и продлабочување на неговите знаења како и стекнување вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставните и воннаставните активности со учениците. Не треба да се заборави дека преку професионалниот развој наставникот се оспособува да соработува со неговите колеги, училишниот менаџмент, училишната стручна служба како и родителите на учениците и локалната заедница каде функционира училиштето во кое тој работи. Преку континуираниот професионален развој наставникот се оспособува спремен да ги дочека сите промени во сферата на образованието кои ги носи државниот, односно општествениот систем, а тоа значи успешно да се соочи и да ги примени сите новопродуцирани реформи поврзани со образованието.

Од големо значење е активното вклучување на базата, односно воспитно- образовниот кадар во сите етапи од истражувањата наменети за воспоставување промени, тргнувајќи од тоа дека:

- воспитанието е специфичен процес за кој многу тешко може однапред да се предвидат и пропишат соодветни решенија;
- во воспитно- образовниот живот, сите суштествени промени треба да бидат поддржани од повеќетно наставници и за истите да има соодветна клима за спроведување во дело;
- на воведувањето новитети во делот на континуиран професионален развој на воспитно- образовниот кадар треба да му претходи евалуација и конструктивна расправа во однос на добиените резултати;
- за евалуација и презентација на постигнатите резултати од своето работење, пред сè се одговорни самите наставници.

Наставниците, стручните соработници и директорот се посветени и ангажирани во активности за обезбедување на повратни информации за работата и поддршка на професионалниот развој на секој поединец во училиштето. Училиштето негува култура на

доживотно учење и сите (вклучувајќи ги и наставниците/стручните соработници почетници и вработените на определено време) имаат можност да добијат поддршка соодветна на нивните индивидуални потреби за најдобро да излезат во пресрет на потребите на учениците.

Наставничката професија во општеството има многу значајна улога, наставниците треба да бидат професионалци и континуирано треба професионално да се развиваат. За таа цел потребно е наставникот да поседува солидно општо образование, добро да го познава материјалот и проблемите поврзани со предметот кој го предава, а исто така треба да има и основно познавање од педагогија, психологија и методика на предметот кој го предава од причина што тие се од круцијално значење во реализацијата на успешен воспитно-образовен процес.
Основа на која се заснова ваков облик на стручно усовршување подразбира тимска работа која дава можност за соработка, создавање и размена на идеи, што ќе овозможат поголема ефикасност, развивање на нови успешни пристапи, збогатување на сопственото знаење, развивање на мислењето и формирање нови современи погледи.
Професионалниот развој на наставниците може да се спроведува во и надвор од училиштето. Кој начин и да се одбере, важно е профсесионалниот развој да биде континуиран, добро испланиран, применлив и функционален, а на крај преку него да се зголеми професионалниот ангажман и знаење на наставницита со цел кај учениците да се бележи напредување и успех во совладувањето на наставниот материјал содржан во наставните програми.
Училиштето во однос на професионалниот развој на наставниците треба да спроведува нагледни часови, кои подоцна ќе подлежат на дискусија и анализа. Училиштето треба да спроведува сопствени истражувања поврзани со воспитно- образовниот процес, проекти во кои главниот интерес ќе биде насочен кон воспитно- образовниот процес, најразлично усовршување на наставниот кадар насочено според потребите кои ги имаат наставниците за поуспешно изведување на воспитно-образовната дејност.
За професионалниот развој на наставниците посебно се грижи и Министерството за образование и наука и другите релевантни институции кои функционираат во негов состав, од кои најзначајна улога во професионалниот развој на наставниците има Бирото за развој на образованието.
Обуките и програмите се спроведуваат преку: изготвени програмски обуки, стручни патувања, студиски посети, стручни собири, разни видови на организирани работилници, семинари, вебинар и сл.
Професионалниот развој на наставниците може да се остварува преку стручни собири. Под стручни собири се подразбираат: конференции, симпозиуми, тркалезна маса, конгреси, советодавни состаноци, трибини, пленарно предавање, панел- дискусија.

### 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања.Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно-образовниот кадар. Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот.

### 20.3 Личен професионален развој

Секој наставник прави самопроценка на неговите компетенции врз основа на следните насоки: планирање и реализација на наставата, оценување, создавање на клима и средина за учење, социјална и образовна инклузија со учениците и родителите, професионален развој и соработка. Наставниците ги подредуваат по важност и истакнуваат листа на оние кои има се најважни. Врз основа на овој план се изработува планот за личен развој на наставникот. На крајот на полугодието секој наставник го ревидира и го надополнува својот план за личен развој.

Во делот на самопроценка и идентификување на потребите од професионален развој на ниво на училиште се преземени следните активности:

- Ревидирање на тимот за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Изработка на план за потреби од професионален и кариерен развој на ниво стручни активи;
- Активности кои ќе се реализираат за професионалниот развој на ниво на училиште и надвор од него;
- Изготвување програма на ниво на стручен актив за професионално и стручно усовршување;
- Финализирање на програмата за професионален развој на наставниците за 2023/24 година
- Тимот за професионален развој во текот на целата година ќе има за задача да го следи професионалниот развој и да ја следи реализацијата на програмата за работа на истиот. Се следат ефектите од професионалниот развој и се евидентира секој дел од реализираните работилници, обуки и слично. Тимот има за задача да го изготви и годишниот извештај за работа.

Стручните активи имаат за задача да ги идентификуваат компетенциите кои е потребно да се развијат во текот на 2023/24 година и да се направи проценка на оние компетенции кои се најдобро развиени кај наставниците од стручниот актив, од училиштето или од други училишта.

Стручните активи исто така истакнуваат кои од активностите за развој на компетенциите треба да се развијат и на кој начин, односно што треба да се преземе во текот на годината во врска со нивниот развој. Во овој дел треба да се обрати внимание и на планот за личен развој на наставниците.

Претседателите на стручните активи ја изготвуваат програмата за професионален развој на ниво на стручен актив и ја доставуваат до тимот.

Тимот ја финализира програмата за професионален развој на наставниците. Во Прилог на Прилозите на Г.П. е дадена табела со распоред на сите компетенции/активности планирани за учебната 2023/24 година од сите Активи во училиштето.

### 20.4 Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства , внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

**Акционен план за хоризонтално учење**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми, методи , техники и наставни средства |
| Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми | Споделување сознанија стекнати на обуките од страна на БРО | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Успешна реализација на програмите во наставата |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставнитесодржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставнитесодржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

***Критериуми за успех*** — тимска работа на наставниците која придонесува за имплементација на современи приоди во наставата, размена на примери на добра практика и спроведување активности од проектите кои се реализираат во училиштето.
Учениците се оспособени самостојно да дејствуваат во еколошки и претприемнички дух и да соработуваат со другите етнички заедници во општеството.
***Инструменти*** –формулари за увид во годишни, тематски и дневни планирање и посетени часови
***Индикатор за успешност*** – изготвени годишни, тематски и дневни планирања со застапени современи наставни форми, методи и техники и имплементирани насоки за работа дадени од МОН и БРО
***Одговорен за следење*** – директор, стручни соработници, одговорни наставници
***Повратна информација***–-создавање клима за тимска работка меѓу наставниците
-преземање одговорност за соработка и почитување на индивидуалниот придонес на секојпоединец во колективот
-развиен мултикултурен сензибилитет кај образовниот кадар и спроведени долгорочни икраткорочни активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција

## 20.5 Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Во учебната 2023-2024 година се изработува план за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување преку десиминации, вебинари, посета на обуки, работилници и сл.
Со цел наставниците и стручните соработници да можат да одговорат на потребите на современите трендови во воспитно- образовниот процес се наметнува потребата од нивен континуиран професионале и кариерен развој.
Согласно Законот за наставници во основните училишта може да напредуваат во следните звања: наставник, наставник-ментор и наставник-советник.
Стручните соработници исто така можат да напредуваат во звања:стручен соработник-ментори стручен соработник-советник.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.

На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2023/2024 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка,а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители :

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици- наставници – родители
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизам, пушењето, наркоманијата и слично
- Советот на родители избира свои претставници во Училишниот одбор
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

### 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности

Информации за наставниот процес се пласираат преку континурана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За максимално квалитетна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства.

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања.

Познати се неколку облици на вклученост на родителите во процесот на учење:

Учеството на родителите во работата со децата/учениците е исто така облик на соработка и се однесува на вклучување на родителот како реализатор на некои

воспитни/наставни активности, пример: интервју со лица од заедницата, учење за карактеристиките на некои професии и сл,; или пак вклучување на родителот како соработник во процесот на адаптација на детето/ученикот во групата, во организацијата и реализацијата на работилници, семинари, трибини и различни манифестации и случувања;
Советот на родители придонесува во подобрување на условите за работа и унапредување на реализација и на воннаставните активности во училиштето. Истовремено Советот на родители дава потполна поддршка на училиштето во спроведување на проектите што треба да се реализираат во текот на учебната година. Соработка е воспоставена на начин што некои родители одржуваат предавања, работилници, изработуваат помошни наставно - дидактички средства, изработуваат разни проекти или земаат учество во изработка на проекти. Родителите активно се вклучени и при давањето помош на своите деца во изготвување на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции, како музеј, театар, при организирање на екскурзии, спортски натпревари и др.
Школа за родители – претставува посебна едукативна програма која се реализира преку едукативни работилници, наменети за заинтересираните родители во насока на јакнење на нивните капацитети за постигање на повисоки резултати во остварувањето на нивната воспитна и едукативна улога;
Пишувана комуникација – се однесува на преносот на информации по пат на кое секое дете/ученик ги носи во домот од училиштето. Се остварува по пат на белешки, брошури, весници, кутии за сугестии, портфолија.
Креативни паноа - ги изработуваат децата/учениците во соработка со учителите (воспитувач, наставник) и најчесто се изложени во ходниците или занималните/училниците и нудат можност да родителот го следи напредокот на сопственото дете/ученик;
Отворен ден за родители - овие денови наменети за родителите се организираат еднаш месечно или пак на повеќе месеци и наменети се за решавање на проблеми кои произлегуваат од секојдневниот живот и работа во училиштето.
Комуникација преку web страна- училиштето има своја веб страна на која се пласирани информации, соопштенија за тековните, претстојните случувања во училиштето;
Приредби – како облик на соработка нудат можности за согледување на воспоставената взаемна доверба и однос на релација учител - дете/ученик, придонесуваат за јакнење на самодовербата и чувството на сигурност;
Разговори со стручни соработници – облик на соработка кој се остварува на почеток на влез на детето во воспитно-образовната институција, но и соработка која продолжува а се однесува на неопходност од стручна помош во решавање и насочување за решавање на конкретни проблеми за кои се потребни стручни знаења.
Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над 100 оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканuваат на Советување на родители кое што го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр.: „Подари книга“, „Подари садница“, „Велигденски хепенинг”, „Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Соработката со родителите е една од најважните задачи на училиштето, како нераскинлив дел од триаголникот училиште - ученици - родители. Училиштето и оваа година ќе реализира програма за советување на родители, за учениците кои се опфатени со правилникот за реализација на истата. За оние теми кои стручната служба и директорот на училиштето ќе увидат дека е потребен третман - ќе се реализираат со родителите на учениците кои се засегнати. Во тој поглед, училиштето ќе организира едукативни, советодавно-консултативни работилници и предавања за родителите или ќе обработува некои од темите преку соопштенија, флаери или брошури.

Во учебната 2023/24 година ќе се организираат едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на советување на родителите, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер. Целта на оваа едукација на родителите/старателите е, тие да се запознаат со карактеристиките на развојните периоди во кои се наоѓаат нивните деца, како да им помогнат во учењето, различните стилови на родителство и нивните ефекти врз децата како и давање на препораки за успешна комуникација помеѓу родителите и децата.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Училиштето остварува континуирана соработка со голем број институцииод областа на образованието, културата, невладини организиции, спортски друштва, медиуми.

**Локална заедница**

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Соработката со локалната зедница најчесто опфаќа:

-соработка со семејството, особено со родителите;

-соработка со локалната самоуправа и воспитно-образовните установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации

-разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалнатазедница;

-информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето;

-вклучување на училиштето во културни и образовни активности што се организираат во локалната средина;

Училиштето може да планира и да спроведува дел од воннаставните активности (како акции, еднократни работилници, па и секции) во соработка со локалната заедница, овозможувајќи да се подигне општествената одговорност на учениците. Исто така, соработката на училиштето со локалната заедница подразбира и организирање на заеднички настани преку кои ќе се промовираат воннаставните активности и нивните продукти не само пред родителите, туку и надвор од училиштето.

Училиштето подготвува програми и организира активности за одбележување на значајни прослави (празник на училиштето, државни празници а особено по повод на започнувањето на наставата и завршувањето на наставната година и др.) од кои дел се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Низ овие активности училиштето ги покажува постигањата во наставата и слободните ученички активности (хор, оркестар, драмски и литературни групи, ликовно творештво и сл.)

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко.

**Институции од областа на културата**

Во текот на годината се организираат посети на музеи (Музеј на град Скопје, на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, природо-научен музеј „Никола Незглобински“ и Заливот на коските), цркви (Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум), археолошки локалитети( Тумба-Маџари, Скупи, Стоби, Хераклеа).

Во зависност од интересот на учениците се организира и посета на театарски и кино претстави.

**Институции од областа на образованието**

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ,Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта, Филозофскиот и Педагошкиот Факултет.Соработката со основните училишта од општина Гази Баба, градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско - рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

Се остварува соработка со УКИМ- Филозофскиот Факултет, Институт за педагогија при организирање на педагошка и методска практика на студентите како и со Институт за психологија при организирање на задолжителна пракса на студентите.

**Невладини организации**

Училиштето остварува соработка со Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба, СОС Детско Село Македонија, Црвениот Крст на Македонија, Прва детска амбасада “Меѓаши” и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

**Спортски друштва**

Уилиштето соработува со повеке спортски клубови како и клуб за таиквондо, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

**Здравствени организации**

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ Поликлиника „Ченто“, Заводот за ментално здравје и други институции кои пружаат здраствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

**Медиуми (со цел промоција на училиштето)**

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година преку разни списанија и весници, стручни списанија, како Просветен работник, Просветно дело , Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

## Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Цел | Одговорни лица | Начин и време на следење | Очекувани резултати | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа** | Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Директор, стручни соработници | -Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата<br>-Август, ноември, февруари, мај | Успешно и навремено планирање за успешно изведувањ е на работата во училиштето | Директор Наставници, Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на учениците** | Подобрување на успехот кај учениците | Одделенскии предметни наставници и БРО прекуодговорен советник | Усно испитување,писмени работи, тестови,практична работа,тековни следења Континуирано | Подобрен успех и повисоки резултати | Стручни соработници Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците** | Зголемено користење на современи методи и техники вонаставата | Директор, стручни соработници | Посета на наставни часови, примена на инструмент за следење на наставата<br>Октомври, декември, март,мај | Успешно изведувањ е на наставна дејност и користење на современи методи и техники | Директор, Стручни соработници наставници |
| **Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар** | Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошкатанаука и пракса | Стручни активи, Предавачи од акредитирани институции,БРО и др. | Состаноци на стручни активи, отворени часови<br>посета на семинари, обуки и само образование<br>Согласно програмите на стручните активи | Постојано развивањ е на компетенц иите на кадарот во училиштето | Директор, Стручни соработници ,одговорни наставници |
| **Водење на педагошка евиденција и документација** | Уредно водење на педагошка евиденција и документација | Директор,стручни соработници, одговорен советник при БРО и Просв. инспекторат | Увид во педагошката евиденција и документација<br>Септември, ноември, февруари, мај | Точно, навремен о, прецизно внесување | Директор, Стручни соработници , Наставници |
| **Користење на информатичко комуникациска технолологија во настава** | Зголемување на искористеноста на компјутеритево наставна и воннаставна дејност | Директор, стручни соработници | Посета на наставни часови<br>Октомври, декември, март, мај | Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови | Родители, Ученици, |
| **Изработка на извештаи, анализи и информации** | Подобрување на начинот на известувањеи обработување на постигањата на училиштето | Директор, стручни соработници, задолжени наставници | Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови<br>Тромесечно , полугодишно игодишно | Подобар квалитет во работата и унапредув ање на воспитно образовна та работа | Општина, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ |
| **Реализација на годишна програма** | Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето | Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Локал. самоуправа и одговорен советник при БРО | Состаноци , анализа на извештаи, Програма заследење Континуирано | Реализира на програма | |

## 22. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени во годишната програма за работа на училиштето ќе се одвива низ процес на собирање докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. За секоја конкретна активност има одговорни лица/тим за следење, поддршка кој ќе има за задача да доставува извештаи на секој квалификационен период до директор и стручна служба заедно со докази: прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии, интервјуа и други инструменти. Евалуацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се спроведува тимски и со заедничка работа на сите субјекти во воспитно-образовниот процес.

**Области на евалуација :**

Наставен план и програма
Постигања на ученици
Учење и настава
Поддршка на ученици
Училишна клима
Ресурси
Унапредување и раководење

**Индикатори за секоја област:**

Планирања на наставницитеНаставен процес
Искуства на учениците од учењето
Задоволување на образовните потреби на ученицитеОценување, како дел од наставата
Известување за напредокот на учениците
За евалуација на работата на училиштето ќе се прибираат повеќе индикатори, односно докази: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата.

## 23. Заклучок

Врз основа на годишната програма за работа на ООУ„Вера Јоциќ“ за учебна 2023-2024 година сите вработени, директор, наставници, стручни соработници, технички персонал, административни службеници ќе се стремиме кон подобро спроведување на воспитно образованиот процес со воведување новини, унапредување на процесот за квалитетно образование, со подобра соработка меѓу сите структури, поголемо учество на родителите во образованието, поголемо ученичко учество како и соработка со надворешни субјекти.

## 24. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работа на училиштето е изработена од страна на тимот:

1. Игор Китановски - директор
2. Катерина Б.Костадиноска – педагог
3. Моника Софронијевска - психолог
4. Елена Панова – специјален едукатор и рехабилитатот
5. Билјана Арсовска – одделенски наставник
6. Светлана Давчева - библиотекар
7.

**Користена литература**

- Законот за основно образование ( Сл. весник на РСМ бр. 161/2019)
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Сл.Весник на РСМ, бр.161/2019)
- Закон за заштита на лични податоци
- Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie)
- Наставните програми по предмети (одделенска и предметна) настава
- Конценпција за воннаставни активности во основно образование 2020
- Концепција за инклузивно образование
- Сратегија за образование 2018-2025
- Концепција за деветгодишно образование;
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основно училиште бр.18-6579/1
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училите во РСМ бр. 18-6466/2
- Упатство за настава во продожен престој за ученици од иста паралелка
- Упатство за настава во продожен престој за ученици од различна паралелка
- Статутот на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Промени и иновации кои ги планира училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Анализа на степенот на реализација на минатогодишната програма за работа на училиштето;
- Извештаи од интегрална евалуација на квалитетот на работата на училиштето;
- Извештај од самоевалуација на работата на училиштето;
- Извештаи за финасиското работење на училиштето;
- Кадровските и материјалните услови на учиштето;
- Најновите сознанија од посетени семинари, работилници,конференции и следење на стручна литература
- Соработка со други училишта и релевантни институции;
- Подзаконски и интерни акти (Статут, Етички кодекс, Деловници за работа на органите итн.),Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за дежурни ученици, Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на училишните натпревари на учениците)

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА**

**ООУ „ВЕРА ЈОЦИЌ“ - Гази Баба, Скопје**

**за учебната 2023-2024 година**

- **Место за печат**
  **Датум и потпис на директорот _____**

  **Директор: Игор Китановски**

  **_____**

- **Потпис на претседател на УО**
  **Претседател на УО: Анета Ѓуровска**

  **_____**

**Прилози:**


- Годишна програма за работа на директор.....78
- Годишна програма за работа на педагог.....91
- Годишна програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор.....103
- Годишна програма за работа на библиотекар.....115
- Годишна програма за работа на психолог.....125
- Годишна програма за работа на училишен совет.....135
- Годишна програма за работа на совет на родители.....137
- Годишна програма за работа на наставнички совет.....140
- Годишна програма за работа на стручни активи.....143
- Годишна програма за работа на одделенски совети.....150
- Годишна програма за работа на инклузивен тим.....151
- Годишна програма за работа на хор и оркестар.....155
- Годишна програма за работа на заедница на паралелката.....159
- Годишна програма за работа на ученички парламент и ученички правобранител.....161
- Програма за воннаставни активности.....165
- Програма за додатна настава.....169
- Програма за дополнителна настава.....170
- Програма за вонучилишни активности.....174
- Програма за реализација на ученички натпревари.....191
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција.....194
- Програма за антикорупциска едукација на учениците .....196
- Програма за еколошка едукација на учениците.....197
- План за поддршка на учениицте и за подобрување на резултатите.....225
- Програма за надарени и талентирани ученици.....227
- План за професионална ориентација на учениицте.....229
- План за промоција на добросостојба на учениците,заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.....235
- План за следење анализа на состојбите со оценувањето.....238
- План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.....240
- Програма за следење на педагошка евиденција и документација.....241
- Програма за самоевалуација на училиштето.....242
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето.....243
- Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образованиот кадар.....245
- Програма за грижа за здравјето на учениците.....267
- Распоред на дежурни наставници.....269
- Програма за јавна и културна дејсност на училиштето.....270
- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите.....275
- Приемни денови за родители.....278
- Програма за превенција од заразни болести.....280
- Програма за подмалокот на Црвен Крст.....281
- Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште.....285

**Прилог : Програма за работа на директорот на училиштето во учебната 2023/2024 година**

Тргнувајќи од фактот дека воспитанието и образованието се општествени категории кои се реализираат во училиштето како специфична општествена институција чиј претставник е директорот, чија работа е многу значајна за оживување на работата на сите подрачја од внатрешната структура на училиштето и за работата на сите наставници. Директорот како орган на раководење и педагошки раководител на училиштето ги офаќа сите подрачја од воспитно-образовната работа кои се зацртани во годишната програма, а во согласност со одредбите од Законот за основно образование, Годишната програма на училиштето, одлуките на Училишниот одбор, Советот на родители, насоки од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.

Реализацијата на програма ќе се потпира на континуираната соработка со локалната самоуправа, соработка со другите основни училишта како и други организации и установи во општината.

Суштината на планирањето во нашето училиште се состои во реално предвидување на иднината и успешно реализирање и остварување на предвиденото. За успешно извршување на својата работа директорот своето дејствување го насочува кон реализирање на следниве подрачја:

* Административно – организаторско подрачје
* Педагошко – инструктивно подрачје

***Административно-организациски задачи***

Цели: Успешна подготвеност за нормално одвивање на воспитно- образовната работа, почитување на законските регулативи и грижа за осовременување на училиштето

Очекувани ефекти: постигнување на ефикасност во функционирањето на целокупната работа во училиштето, осовременување на воспитно- образовната работа, модернизирање на просторот и сретствата за работа

Форми на работа: консултации, разговори,соопштенија и др.

Соработници: наставници, педагог,дефектолог, секретар

Време на реализација: континуирано цела година

***Педагошко – инструктивни задачи***

Цели: унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето

Очекувани ефекти: успешен почеток и тек на учебната година, подигање на повисоко ниво на организационата поставеност на училиштето, ефикасност во функционирањето на целокупната работа на училиштето, осовременување на воспитно-образовната работа

Форми на работа: консултации, разговори, соопштенија, анкети и др.

Соработници: настaници, педагог, дефектолог, секретар

Време на реализирање: континуирано цела учебна година.

Директорот на училиштето ги извршува работите и работните задачи од повеќе подрачја. Примарна компонента во целокупната програма за работа е однапред концепирана активност во организирањето, координирањето и раководењето со работата на сите субјекти кои ги остваруваат посебните програми за работа во рамките на Годишната програма за работа на училиштето.

## Професионални компетенции на директорот

Професионалниот развој на директорот произлегува од активностите на унапредување на системот за професионален кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето. Директорот како раководен орган во училиштето постојано ги следи општествените промени кои ги имплементира во животот и работата на училиштето. Директорот е посветен на сопственото професионално усовршување и професионално усовршување на наставниот и стручниот кадар кои ќе допринесат за квалитет во работата.

Унапредувањето на професионалните компетенции на директорот произлегуваат од професионалните вредности, знаења и вештини кои ги опфаќаат следниве подрачја:

- Водство
- Стратешко водство
- Училишна клима и култура
- Соработка со родителите и заедницата Раководење со човечките ресурски комуникации и односи со јавноста
- Унапредување на меѓучовечките односи професионален и кариерен развој
- Обезбедување на кадар, работно воведување иангажирање Предагошко раководење на училиштето планирање поддршка на наставата и учењето
- Обезбедување на квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)
- Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот
- Финансиско раководење раководење со финансиските ресурси
- Раководење со материјалните ресурси
- Законско и административно работење на училиштето примена на законските и подзаконските акти изработка и примена на интерни акти и документација раководење со административните процеси
- Примена на информациските системи во училиштето

## Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и друга стручно-педагошка работа во училиштето

Увид, следење, координирање и насочување на наставата и воспитно-образовната дејност од страна на наставниците (годишните, тематските, дневните и друг вид планирања);

Увид, контрола и следење на остварувањето на стручните, оперативно-организаторските, материјално-техничките и дидактичко-методиските подготовки за реализација на наставната и воннаставната воспитно-образовна работа од страна на наставниците и другите носители;

Следење на непосредната реализација на задачите и содржината на наставата, воннаставната дејност, од аспект на општата организација и артикулација на наставните часови (преку посета на наставни часови), примена на современи форми и методи, застапеноста и користењето на современите наставни средства и други технички помагала, воспитната насоченост и слично, во рамки на мрежно планирање;

Водење на евиденција на планираните и реализираните посети на наставните часови, часови на слободните ученички активности и други форми на непосредна воспитно-образовна работа со учениците од аспект на планирањето и програмирањето на содржините, подготовката , непосредната организација, како и успешноста на реализација на целите, задачите и соржините со определена динамика, согласно мрежното планирање на активностите;

Остварување на задолжителните разговори, консултации, советувања, и давање помош на наставниците за подобрување на состојбата, унапредување и усовршување на наставата и другата воспитно-образовна дејност;

Иницирање, координирање, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето со максимална лична партиципација, оценување и анализа на состојбите и постигнатите резултати;

Учество во остварувањето на задачите во врска со вреднувањето на работата на наставниците и другите стручни соработници според критериумите на методологијата на вреднување на воспитно-образованата работа на училиштето.

## Перманентно стручно, педагошко-психолошко усовршување на наставниот и стручниот кадар во училиштето

Планирање на потребите и упатување на кадарот на стручно усовршување надвор од училиштето, организирано од страна на соодветни стручни институции во вид на семинари, обуки, симпозиуми и други форми;

Следење и координирање на планирањето, програмирањето и реализицаијата на разните форми на активности на стручно усовршување на кадарот во рамките на училиштето, како и укажување помош на соодветни служби во непосредната организација и реализација на стручното усовршување;

Грижа за обезбедување на училиштето со неопходната стручна литература и стручни списанија, како и поттикнување и упатување на кадарот за користење на истата, првенствено преку личен пример и презентација на материјали од корист за конкретни активности кои се од интерес за работата на училиштето;

Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување и учество на советување, семинари и други форми организирани од страна на стручни институции;

Изготвување на соодветни стручни материјали за потребите на стручно усовршување во училиштето и надвор од него и учество на кадарот во изготвување на истите.

## Работа со наставниците и друг стручен кадар – почетници

- Планирање и воведување во работата;
- Одредување ментор на секој почетник и следење на тимот;
- Запознавање со концепцијата и општата програмска структура и можностите на училиштето да ги остварува целите, задачите и содржините на основното образование и воспитание;
- Воведување во задачите на наставните предмети кои ги предава наставникот-почетник во работата и образовните услови во училиштето за реализација на истите;
- Запознавање со неопходните видови планирања, како на ниво на училиште така и за наставниот предмет и другите задолженија на наставникот- почетник;
- Непосредна стручна и дидактичо-методска помош во реализација на наставата и другата воспитно-образовна дејност и упатување на соработка со поискусни наставници- развивање и негување на тимска работа и учество во активите

**Работа со стручните органи во училиштето**

- Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет на училиштето и грижа за реализација на програмските задачи;
- Подготовка и активно учество на седниците на Наставничкиот совет (планирање на содржините на дневниот ред на состаноците, задолжување на одделни наставници или други субјекти за подготовка на материјали, подготвување на предлог-заклучоци, препораки и слично што треба да се усвои на Наставничкиот совет, определување на времето на состаноците, навремено известување на членовите на советот, укажување како да се подготват конструктивни дискусии, планирање на времетраењето на излагање на секој поединци итн.;
- Раководење со седниците на советот, грижа за квалитетна работа во интерес на донесување на адекватни заклучоци и придонес во разрешување на проблемите;
- Јавност и транспарентност во работењето;
- Воведување во демократска атмосфера на раководење, со чист и јасен пресек на должностите и обврските на секој поединец, неговите ингеренции, хоризонтална и вертикална синхронизираност на заедничкото делување на колективот; Помош во планирањето и програмирањето на работата на Одделенскиот совет на родителите на одделенскиот совет;
- Следење и реализација на пропишаните задачи на Одделенскиот совет на родителите и на одделенскиот раководител, координирање и насочување на нивните квалитети и насочување на нивните активности и укажување на соодветна стручна и друга помош;
- Одредување на критериумите за формирање на Стручните активи на принцип на мултидисциплинарност, сродност и проодност на информациите, се со цел заедничко синхронизирано работење и унапредување на воспитно-образовниот процес во целина;
- Помош и учество во формирањето на Стручните активи, нивно конституирање и планирање на работата, како и нивната работа по потреба;
- Следење, насочување, поттикнување и координирање на работата на Стручните активи;
- Непосредно учество на работата на стручните органи со презентирање на соодветни прилози, зајкнување на тимската работа и создавање на силен колективен дух помеѓу сите учесници во работата на активите;
- Општа и целосна грижа за унапредување на рабоата на стручните органи и стручните активи во училиштето.

## Аналитичко-студиска работа

Проучување и анализирање на карактеристични проблеми на наставно-образовниот процес (воспитни проблеми, општи наставни проблеми, одделни проблеми на паралелки и наставни предмети, проблеми во врска со активноста и работата на учениците итн. ) ;

Проучување и анализирање на глобалното планирање на ниво на училиште, како и планирањето и програмирањето на наставниците и другите стручни соработници;

Изготвување на анализи, осврти, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализацијата на програмите во воспитно-образовната работа, успехот на учениците, организациската поставеност и работа на ученичките оганизации и нивните слободни активности, педагошка документација, резултатите од наставно-воспитниот кадар и сл. ;

Упатување и оспособување на наставниците и другите стручни соработници за аналитичко-студиска работа;

Унапредување на сопствениот едукациски потенцијал и самообразование во соработка со соодветни институции, други директори, наставници.

## Соработка со учениците и нивните организации

Укажување стручна и друга помош во конституирањето и организациската поставеност на ученичките заедници на паралелките, општествените организации на учениците за нивните слободни активности;

Следење на состојбата, насочување на активностите и учество во давањето помош во врска со планирањето и програмирањето на работата и реализација на програмските содржини на ученичките заедници, организации, слободни актвности;

Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации и формите на ученичко организирање;

Учество во насочувањето и давањето помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците во училиштето и користењето на нивното слободно време;

Вклупување на учениците во работата на стручните органи во училиштето;

Координирање и насочување на активностите и непосредната работа со одделни категории ученици (талентирани, со послаб успех, со посебни потреби, социјални случаи и сл. ) како и укажување на соодветна помош на наставниците за унапредување на формите и методите на работа со различни категории ученици и итн.

## Соработка со родителите на учениците

Учество во планирањето, координирањето и насочувањето на реализацијата на разновидните форми на соработка меѓу училиштето и родителите на учениците, а особено преку Советот на родители;

Планирање и подготовка и реализација на родителските средби на ниво на училиште;

Помош во планирањето, програмирањето и насочувањето на активностите за информирање на родителите и учениците по паралелки и одделенија и на состаноците на Советот на родители;

Организирање и координирање и насочување на активностите за информирање на родителите и учениците за животот, работата и постигнатите резултаи на учениците и училиштето, како и вклучување на родителите во подобрување на условите за работа на учениците во училиштето;

Непосредно учество во реализацијата на формите на педагошко образование на родителите, како и укажување помош во реализација на овие задачи од страна на наставниците и другите стручни соработници на училиштето;

Следење, насочување и непосредно учество во реализација на индивидуалните и групните форми на советодавна работа со родителите на одделни категории ученици (ученици со потешкотии, со девијантно однесување, талентирани ученици и сл.);

## Соработка со органите на управување

Во реализирањето на системот на управувањето директорот како член на работната заедница и како раководител на училиштето со својата работа ќе придонесува за развојот на управувањето на училиштето , пред се заштита на законитоста на работењето. При реализација на таа задача директорот дава перманентна стручна помош на органот на управување која се состои во подготвувањето на заклучоци, одлуки и нивно спроведување во пракса;

Директорот ќе ги спроведува и извршува одлуките на Училишниот одбор кои се во согласност со позитивните законски прописи, нормативи, акти и перманентно ќе ги следи законските прописи, со цел нивно аплицирање и практична соодветна примена во сите сегменти на кои тие се однесуваат од делокругот на училиштето.

## Работа на директорот како претставник на училиштето

Во границите на своите овластувања и должности директорот ќе биде во постојана соработка со Општина Гази Баба, Град Скопје, БРО, МОН, општествените, синдикалните и други организации заинтересирани за воспитно-образовната работа на училиштето.

Посебни активности остварува со претпријатија, индустрија, трговија, услуги, а особено со органите на локалната самоправа за реализација и организирање на давање помош за подобрување на условите за работа на учениците во училиштето. Со овие активности и активна ангажираност на училиштето во општествената средина ќе придонесе за поголема афирмација на училиштето во рамките на градот и пошироко.

Директорот и сите вработени, заедно со Училишниот одбор и Советот на родители ќе иницираат и развијат соработка со дипломатски претставништва, конзулати, хуманитарни организации регистрирани во РМ, со цел преку заедничкото запознавање да се добие вистинска слика за нашата земја и предностите, проблемите, реалниот живот и потенцијалите на Република Македонија со цел запознавање на поширокатa светска јавност со нашата земја, училиштето и можностите на учениците.

| Организирање предавање за „Детските права и должности“ и работилница за изработка на флаери | Конвенција на детски права, компјутер, презентација, Принтер, хартија за печатење на флаери | Сите ученици во своите паралелки/одделенија<br>Одд.раководител | Октомври<br>Ноември | Директор;<br>Стручна служба. |
| Уредување на училницата | Хартија во боја<br>Хамери, ножици, лепак | Сите ученици во своите паралелки/одделенија<br>Одд.раководител | Ноември | Директор;<br>Стручна служба. |
| Новогодишна прослава | Лаптоп, звучници, интернет | Сите ученици во своите паралелки/одделенија | Декември | Директор;<br>Стручна служба. |
| Еколошка акција, избираме најзагадено место во околината да го исчистиме и да смислиме начин да се украси и да стане привлечно за посета (старо дрво на кое ќе обесиме пораки видни за минувачите, мурал и сл.) | Лопатки, метла, вреќи за отпадоци, хартија во боја, коноп, маркери. | Сите ученици во своите паралелки/одделенија<br>Одд.раководител | Во текот на учебната година | Директор;<br>Стручна служба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Хуманитарна акција за социјално загрозено семејство | Храна, хигиенски средства, облека | Сите ученици во своите паралелки/одделенија Одд.раководител | Во текот на учебната година | Директор; Стручна служба; Родители |
| Велигденски работилници со покана до најблиските (децата ќе си поканат омилен член од семејството за украсување на велигденско јајце | Украси, бои, четки, хамер, маркери | Сите ученици во своите паралелки/одделенија | Април | Директор; Стручна служба; Родители |
| Посета на театар, кино или музеј заедно со активите | Превоз, карти за посета | Сите ученици во своите паралелки/одделенија | Во текот на учебната година | Директор Стручна служба и надворешни соработници |
| Формирање ученички групи за ученици кои имаат потреба од помош од појаките во одредена област | Просторија, табла, креди во боја | Сите ученици во своите паралелки/одделенија | Во текот на учебната година | Предметен или одделенски наставник; Стручна служба |

Одговорен наставник:

Тања Стреоска Урумовска

**Годишна програма за работа на ученички парламент и ученички првобранител за учебна 2023-2024 година**

| Година 2023/2024 | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | |
| Ред бр | Активност | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носител на активноста | Очекувани резултати/ исход |
| 1. | Запознавање со значењето и надлежностите на ученички парламент | x | | | | | | | | | | | | Одделенски класен раководител ученици | Прифатени одговорности и задачи |
| 2. | Запознавање со процедура и изборот на претседател на ученички парламент и избор на ученички првобранител | x | | | | | | | | | | | | Одделенски класен раководител ученици | Избрано раководство на паралелката (демократско учество на учениците) Формирани повремени и постојани тела |
| 3. | Донесување на правилник за работа на заедница на паралелки и ученички парламент | | x | | | | | | | | | | | Одговорен тим од наставници Стручна служба Ученици | Правилник за работа |
| 4. | Разгледување на годишната програма за работа на ученички парламент и ученички првобранител | | x | | | | | | | | | | | Одговорен тим од наставници | Годишна програма за работа |
| 5. | Покренување ученичка иницијатива за разрешување на постоечките проблеми во училиштет | | | x | | | | | | | | | | Директор, стручни соработници, наставници, родители тим од ученици | Развивање на чувство на одговорност преку заедничко учество во решавање на постоечките проблеми |
| 6. | Работилница Човекови права | | | | x | | | | | | | | | Одговорен тим од наставници Стручна служба Ученици | Развивање на чувство еднаквост за сите ученици и деца на овој свет. Сите имаме исти права. |
| 7. | Организирање и спроведување на хуманитарна акција за ученици од социјално загрозени семејства | | | | | x | x | | | | | | | Елизабета Пејкоска – Црвен Крст Одговорен тим | Ученици Донации |
| 8. | Спроведување истражување за насилство во училиштето | | | | x | x | x | x | | | | | | Стручна служба Одговорен тим Ученици | Плакати Анкетни листови |
| 11. | Предавање на тема: Врсничка | | | | | | | | x | | | | | Одговорен тим | Развиена свест за |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | поддршка и соработка | | | | | | | | | | | | | Ученици | различностите Повисоки постигања кај сите ученици Унапредена инклузивна клима во училиштето и училницата |
| 12. | Склучување договор со невладини огранизации | | x | x | x | x | x | x | x | x | | | | Директор Одговорен тим Ученици | Компјутер Интернет |
| 13 | Новогодишна магија во училиштето | | | | x | | | | | | | | | Наставници Ученици | Развиена соработка и комуникација помеѓу учениците инаставниците Развиена креативност кај учениците |
| 14 | Одбележување на 8 Март- „ Меѓународниот ден на жената“ | | | | | | | x | | | | | | Наставници Ученици | Согледана важност на улогата и придонесот на жената во општеството Искажана љубов и благодарноста кон мајката |
| 15 | Одбележување на 21 Март- „Денот на пролетта и екологијата“ | | | | | | | x | | | | | | Наставници Ученици | Подигната свест за чување и заштита на околината |
| 16 | Одбележување на 22 Април- „Денот на планетата Земја“ | | | | | | | | x | | | | | Наставници Ученици | Подигната свест, создадени одговорности и навики за заштита на планетата Земја |
| 17 | Одбележување на 23 Април- „Светскиот ден на книгата“ | | | | | | | | | | | | | Наставници, Ученици, библиотекар | Подигање свест за читање на книги |
| 18 | Одбележување на 20 Ноември- „Светски ден на детето“ | | | x | | | | | | | | | | Наставници Ученици | Почитување на детските права |
| 19 | Одбележување на Денот на училиштето | | | | | | | | | x | | | | Наставници Ученици | Развиено чувство за организација иучество Почит кон делото на борците |
| 20 | Поднесување извештај од работата на УП | | | | | | | | | | | | | Одговорни наставници, ученици | Согледани резултати од работата на УП |

Одговорни наставници:

Марија Павловска

Драган Димитровски

## Програма за работа на ученички правобранител на ниво на училиште за 2023/2024 година

Ученикот правобранител претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

| Програма за работа на ученички правобранител | | | |
|---|---|---|---|
| **РБ** | **Содржина** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
| 1 | Запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на децата | Октомври | Стручна служба, ученички правобранител, заменици |
| 2 | Работилница 1: Правата на децата - Имам право да ги знам моите права | Октомври | Стручна служба, ученички правобранител (заменици), Ученички парламент |
| 3 | Комуникација со членовите на Ученичкиот парламент и останатите ученици | Во текот на целата учебна година | Ученички правобранител (заменици) |
| 4 | Учество на состаноците на Ученичкиот парламент, давање предлози и сугестии | Во текот на целата учебна година | Ученички правобранител (заменици) |
| 5 | Работилница 2: Моја одлука, твоја одлука | Ноември | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Информативен ден за промоција на работата на ученичкиот правобранител<br>Дебата : Борба против корупцијата ( со ученици од осмо и деветто одделение | Декември | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 7 | Прибирање поплаки од ученици и доставување до стручна служба | Во текот на целата учебна година | Стручна служба, ученички правобранител |
| 8 | Работилница 3: Превземање акција во училиште | Февруари | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 9 | Работилница 4: Интеркултурно образование | Март | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент |
| 10 | Учество во дебати | Во текот на целата учебна година | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 11 | Дебата: Почитувањето на различностите – услов за добра училишна клима; | Април | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 12 | Дебата : Кои се одликите на добриот лидер? | Мај | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |
| 13 | Извештај за работата на ученичкиот правобранител во учебната 2023-2024г. | Јуни | Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник |

## Програма за воннаставни активности за учебна 2023-2024 година

**Училишни спортски клубови**

| Училишен спорт | Време на реализација | Опфатеност на ученици | Одговорни наставници |
|---|---|---|---|
| **Ракомет** | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Мирјана Стојкова |
| **Кошарка** | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Мирјана Стојкова |
| **Футсал** | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Мирјана Стојкова |
| **Одбојка** | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Мирјана Стојкова |

**Цели на училишниот спорт:** правилен психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.

**Конкретни цели се:** стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност, сила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос и др.

**Евалуација на постигањата:** критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоени награди.
**Носители на активностите**: Мирјана Стојкова – професор по физичко и здравствено образование

**Секции/Клубови**
***Секции/клубови за учебна 2023-2024 год.***

**Одделенска настава**

| Назив на секција | Наставник |
|---|---|
| **Математичка секција** | Елизабета Пејкоска |
| **Изработка на ракотворби** | Ивана Јовановска, Кате Митевска |

**Предметна настава**

| Назив на секција | Наставник |
|---|---|
| **Драмско – рецитаторска секција** | Јасминка Трајковиќ<br>Милена Манчиќ Пауновска |
| **Млади јазичари** | Дафина Ангелеска<br>Каролина Димовска |
| **Информатичка секција**<br>**Микробит секција** | Милена Аргирова |
| **Биолошко - еколошка секција** | Даниела Петрушевска |
| **Географска секција** | Драган Димитровски |
| **Историска секција** | Никола Попадиновски |
| **Математичка секција** | Ксенија Бојчевска |
| **Спортски активности** | Мирјана Стојкова |
| **Библиотекарска секција** | Светлана Давчева |
| **Ликовна секција** | Везира Идризовиќ |

Секциите ќе бидат формирани во месец Август по спроведена анкета за учениците за избор на секција/клуб кој ќе сакаат да го посетуваат. Врз основа на интересите на учениците ќе се формираат дополнителни секции/клубови за учебна 2023-2024 година и одговорни наставници за истите а по потреба во работата на секциите ќе се вклучат и други наставници, родители или волонтери од заедницата. Дополнителни секции и клубови кои ќе се формираат согласно интересите на ученииците се:

- секции за поддршка на воннаставни активности ( фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултира)
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците ( интеркултура/мултикултура, почитување на различностите, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање)

**Акции**

| Акции | Содржини | Цели | Време на реализизација | Одговорни наставници | Одделенија | Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученичка иницијатива за разрешување на постоечки проблеми во училиштето | Кампања за развивање на свест за чување на училишни мебел и материјали | Да се подигне свеста на учениците за чување на училишниот мебел и материјали | Септември Декември | Марија Павловска Драган Димитровски | Ученички парламент Тим од ученици Наставници родители | Постери, флаери, Еду предавања и дебати |
| Детската недела | Собирна акција | Развивање чувство за солидарност и хуманост | Октомври | Билјана Арсовска | Група ученици-претставници во Детската Организац. од II до IX одд., родители, наставни. | Акции, брошури, презентации |
| Ден на гладта | Собирна акција | Да се подигне свеста на учениците за проблемот со гладта и развивање на уманост и солидарност Продажба на вреднос. купони во соработка со ООЦК „Гази Баба“ | Октомври | Елизабета Пејкоска | Подмладокот на ЦК, Претставници од Црвен Крст на Скопје и ООЦК Гази Баба родители, наставници | Акции, брошури, презентации |
| Месецот на книгата | Подарување лектирни изданија - збогатување на училишната библиотека | Да се развива љубов кон книгата, читање на книгите, развивање чувство на хуманост, солидарност | Октомври-Ноември | Билјана Лазареска Билјана Арсовска | V-1 и V-2 одд. родители, наставници | Акции, литература |
| Недела на грижа на стари лица | Посета на дом за стари лица | Зголемување на свеста за социјална инклузија, грижа и поддршка на старите лица | Ноември | Елизабета Пејкоска | Група ученици од VI-1 и VI-2 одд., родители, наставници | Посета на стари лица |
| Новогодишни празници | Собирна акција за деца без родители – СОС Детско село | Да се поттикне доброволно ангажирање и постојана подготвеност | Декември | Билјана Арсовска | Група ученици-претставници во Детската Организа. од II до IX одд., | Сликовници, книги, учили шен прибор, новогодишни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост | | | родители, наставници | пакетчиња, облека и обувки, посета на СОС – детско село |
| Новогодишни празници | Новогодишен хепенинг-собирање финансиски средства за потребите на учениците-паралелки. | Развој на позитивно расположение по повод Новогодишните празници | Декември | Сите одделенски раководители | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Новогодишни творби изработени од учениците |
| Први март – Ден на мартинките | Подарување мартинки во детската градинка ,,25 мај,, - Пони | Да се развива креативност и творечка фантазија, соработка со локалната средина | Март | Весна Аврамовска Тања Стреоска-Урумовска Виолета Поповска | I-1 и I-2 одд. родители, наставници | Волници, игли за плетење, презентации |
| Ден на пролетта | Хортикултурно уредување на дворот засадувајќи цвеќе и садници | Да се зајакне еколошката свест кај учениците | Март | Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска | Ученичка заедница, родители, наставници | Садници, пролетни цвеќиња, градинарски алат |
| Ден на пролетта | Еко хепенинг со музички, ликовен и поетски перформанс | Да се развиваат уметничките таленти кај учениците и промоција на вештините на учениците | Март | Рашо Радоњиќ Везира Идризовиќ Јасминка Трајковиќ Милена М. Пауновска | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Хор и оркестар, ликовни и литературни творби |
| Светски ден на планетата Земја | Еколошки активности - собирање отпадоци, чистење на училишниот двор и околните улици | Да се подигне нивото на свеста кај учениците за зачувување на животната средина, соработка со локална самоуправа | Април | Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска Никола Попадиновск | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Пластични кеси, ракавици, градинарски алат |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Верскиот празник Велигден | Велигденски хепенинг-собирање финансиски средства за потребите на учениците-паралел | Развој на позитивно расположение по повод Велигден | Април | Сите одделенски раководители | Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници | Велигденски творби изработени од учениците |
| Месец на солидарноста | Собирна акција Собирање на храна и облека | Да се поттикне доброволно ангажира и постојана подготвен. за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост | Мај | Елизабета Пејкоска | Подмладок на ЦК ученици, наставници, родители | Интернет, едукативен материјал, презентации |
| Одбележување крајот на учебната година | Спортски меморијален турнир во кошарка | Да соработува и учествува во тимска работа,да поседува фер-плеј способности и однесување на натпреварите | Јуни | Мирјана Стојкова | Групи ученици од VI до IX одд. родители, наставници | Спортска опрема |

## Програма за додатна настава за учебна 2023-2024 година- одделенска настава

| **АКТИВНОСТ** | **НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ** | **РЕСУРСИ** | **ИНСТРУМЕНТИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддр на планирањето на додатната настава во училиштето | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО ( наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатна настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Следење на реализацијата на додатната настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањ на наставниците<br>-Следење на постигањата на ученик вклучени во настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на додатна настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на додатната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Евалуација | -Директор | -Програми и подготовки | -Прашалник за | Јуни | -Зголемени постигања на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -Стручни соработници | на наставниците<br>-Посета на час | наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | | учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области<br>-Поголемо учество на организирани натпревари на знаење |

**Програма за дополнителна настава за учебна 2023-2024 година- одделенска настава**

| **АКТИВНОСТ** | **НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ** | **РЕСУРСИ** | **ИНСТРУМЕНТИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на дополнителна настава во училиштето | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО ( наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на дополнителната настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на дополнителната настава |
| Следење на реализацијата на дополнителна настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на дополнителна настава настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици со потешкотии во учењето |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците<br>-Посета на час | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето |

## Програма за додатна настава за предметна настава

| Ред број | Активност | Време на реализација | Реализатор | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Следење на ученикот во наставата, неговиот напредок во усвојувањето на знаењата | Септември-Мај | Предметни наставници | Детекција на ученици кои во текот на наставата не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од теми / области во рамки на одредениот предмет |
| 2. | Известување на родители за потреба од следење на дополнителна настава на нивните ученици | Септември - Мај | Предметни наставници Родители | Родителот е запознает со слабиот напредок, потешкотиите и слабите резултати во следењето на наставата од одреден предмет. Родителот е информиран за потребата од реализација на дополнителна настава со ученикот, цели, форми и динамика на реализација. Родителот дава согласност за вклучување на ученикот во дополнителна настава. |
| 3. | Идентификација на содржини во кои ученикот има потешкотии и послаб напредок во совладување на содржините | Септември-Мај | Предметни наставници | Изготвена програма за реализација на дополнителна настава со ученикот по одредениот предмет. Определување содржини,форми и методи за реализација на дополнителната настава со ученикот. |
| 4. | Реализација на програма за дополнителна настава | Септември- Јуни | Предметни наставници Ученици | Подобрен успех и постигнувања на ученикот по одредениот предмет/содржина. Унапредена самодоверба, внимание, концентрација и способности за учење на ученикот. |
| 5. | Следење на напредокот на ученикот | Септември- Мај | Предметни наставници Родители | Утврдени потреби за продолжување или прекинување на реализацијата на дополнителната настава. Процена на совладани содржини и содржини на кои треба да се посвети поголемо време и работа во следниот период. |
| 6. | По потреба ревидирање на програмата за дополнителна настава со ученикот | Октомври-Април | Предметни наставници | Направени промени во програмата за дополнителна настава со ученикот, внесени нови содржини, форми, методи и временска рамка кои ќе овозможат поголем напредок и подобар успех на ученикот. |
| 7. | Водење евиденција за реализација на дополнителна настава | Континуирано во текот на годината | Предметни наставници | Тековна евиденција на реализирани содржини и увид во степенот на реализација на програмата за дополнителна настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Евалуација на реализацијата на дополнителната настава | Јуни | Стручни активи | Утврден ефект од реализацијата на дополнителната настава. Добиени сознанија за изработка на пофункционална програма за дополнителна настава за следната учебна година. |

## Програма за дополнителна настава за предметна настава

| Ред број | Активност | Време на реализација | Реализатор | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Следење на ученикот во наставата, неговиот напредок во усвојувањето на знаењата | Септември-Мај | Одделенски и предметни наставници | Детекција на ученици кои во текот на наставата не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од теми / области во рамки на одредениот предмет. |
| 2. | Известување на родители за потреба од следење на дополнителна настава на нивните ученици | Септември - Мај | Одделенски и предметни наставници Родители | Родителот е запознает со слабиот напредок, потешкотиите и слабите резултати во следењето на наставата од одреден предмет. Родителот е информиран за потребата од реализација на дополнителна настава со ученикот, цели, форми и динамика на реализација. Родителот дава согласност за вклучување на ученикот во дополнителна настава. |
| 3. | Идентификација на содржини во кои ученикот има потешкотии и послаб напредок во совладување на содржините | Септември - Мај | Одделенски и предметни наставници | Изготвена програма за реализација на дополнителна настава со ученикот по одредениот предмет. Определување содржини, форми и методи за реализација на дополнителната настава со ученикот. |
| 4. | Реализација на програма за дополнителна настава | Септември-Јуни | Одделенски и предметни наставници Ученици | Подобрен успех и постигнувања на ученикот по одредениот предмет/содржина. Унапредена самодоверба, внимание, концентрација и способности за учење на ученикот. |
| 5. | Следење на напредокот на ученикот | Септември-Мај | Одделенски и предметни наставници Родители | Утврдени потреби за продолжување или прекинување на реализацијата на дополнителната настава. Процена на совладани содржини и содржини на кои треба да се посвети поголемо време и работа во следниот период. |
| 6. | По потреба ревидирање на програмата за дополнителна настава со ученикот | Октомври-Април | Одделенски Предметни наставници | Направени промени во програмата за дополнителна настава со ученикот, внесени нови содржини, форми, методи и временска рамка кои ќе овозможат поголем напредок и подобар успех на ученикот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Водење евиденција за реализација на дополнителна настава | Континуирано во текот на годината | Одделенски и предметни наставници | Тековна евиденција на реализирани содржини и увид во степенот на реализација на програмата за дополнителна настава |
| 8. | Евалуација на реализацијата на дополнителната настава | Јуни | Стручни активи | Утврден ефект од реализацијата на дополнителната настава. Добиени сознанија за изработка на пофункционална програма за дополнителна настава за следната учебна година. |

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Увид на реалната состојба и потреба за работа со ученици кои потешко напредуваат во учењето | Изготвување на годишна програма за работа од наставниците<br>- Следење на работата на учениците и нивниот однос кон учењето<br>-Соработка со родителот за откривање на причините од страна на наставникот<br>-Откривање и идентификација на учениците преку листа за идентификација | Класни раководители<br>Предметни наставници<br>Родители<br>Стручна служба | Септември | Мотивирање на учениците за постигнување на подобри резултати |
| Соработка и доверба меѓу ученик наставник, наставник-родител | - Соработка со стручна служба<br>- Разговор со учениците<br>-Соработка со родителите, стручна служба, наставник<br>-Вклучување во дополнителна настава | Директор<br>Родител<br>Стручна служба | Октомври | Оспособување за самостојна работа |
| Стручно усовршување и унапредување на работата на наставниците работа со учениците. | -Соработка со надворешни институции<br>-Советодавна работа со наставниците за индивидуална работа со учениците<br>-Следење и помош во самостојната работа<br>-Анализа на постигнатиот успех во првото полугодие | Директор<br>Стручни соработници<br>Предметен наставник | Ноември<br>Декември | Унапредување на наставата |
| Примена на методи и средства според можностите на учениците | -Помош на наставниците во реализација на дополнителните часови<br>-Изнаоѓање начини за подобрување на успехот<br>–Употреба на форми, методи и наставни | Наставник<br>Родител<br>Стручни соработници | Февруари<br>Март | Развој на индивидуалните карактеристики на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средства за работа<br>-Соработка со родителите и стручната служба | | | |
| Анализа на постигнатите резултати заради превземање на соодветни активности во иднина | -Следење на успехот<br>-Работа на дополнителни часови<br>-Предлог за вклучување на учениците во работа со надворешни институции | Наставник<br>Стручна служба<br>Директор | Април - Мај | Оспособување за самостојна работа и нивна практична примена |

## Програма за вонучилишни активности за учебна 2023-2024 година

## Програма за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2023/2024 год.

Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно образовната работа на училиштето. Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од нашата земја.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | Септември-Октомври | Парк шума Гази Баба - Скопје | **II– IXодд.** |
| **Еднодневен пролетен излет** | Април-Мај | Раштак- Сарачево | **II– IXодд.** |
| **Еднодневна екскурзија** | Април-Мај | Тетово | **III одд.** |
| **Дводневна екскурзија** | Април-Мај | Источна Македонија | **VI одд.** |
| **Тродневна екскурзија** | Септември-Октомври | Западна Македонија | **IX одд.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Настава во природа** | Мај<br>(по посебно изготвена програма) | Струга | **V одд.** |
| **Набљудувања** | Во текот на годината | Според програмата | **I – IX одд.** |
| **Посета на знаменитости и установи** | Во текот на годината | Според програмата | **I – IX одд.** |

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

## 1.1 ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место:** Парк шума Гази Баба
**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од 2 – 9 одд.
- **Образовно – воспитни цели:**
- запознавање со природните убавини на парк шума Гази Баба
- градење на позитивен однос кон природата, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и специфичните природно-географски обележја на Гази Баба
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како и кон животните;
- **Образовно – воспитни задачи:**
- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.
**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето
**Одговорен наставник:** Драган Димитровски, наставник по географија
**Носители на активностите:** учениците од 2 – 9 одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација:** Септември- Октомври.
**Времетраење:** еден ден
**Локации за посета:** Парк шума Гази Баба
**Правци на патување:** нас. Хиподром – парк шума Гази Баба, парк шума Гази Баба - нас. Хиподром.
**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## 1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место:** Раштак -Сарачево
**Носители на активностите:**
- одделенските наставници
- учениците од 2 – 9 одд.

**Образовно-воспитни цели:**
- запознавање со природните убавини и знаменитости на месноста
- запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**
- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности и рекреација ,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

**Содржина и опис на активностите:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето
**Одговорен наставник:** Драган Димитровски, наставник по географија
**Носители на активностите:** Учениците од 2 – 9 одделение, одделенските наставници и класните раководители.
**Време на реализација**: Април-мај
**Времетраење:** Еден ден
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локации за посета:** Раштак
**Правци на патување:** Скопје- Ченто- Стајковци -Булачани - Раштак




**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

### 1.3 *ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ*

**Вид на екскурзија**: научно - наставна
**Времетраење :** еднодневна
**Време на реализација**: Април-Мај

**Место: Тетово**

**Носители на активности**

- одделенските раководители од 3 одделение
- ученици од 3 одделение

**Образовно-воспитни цели:**

- Стекнување на знаења за животот и делото на Кирил Пејчиновиќ, историското значење на манастирот “ Св.Атанасиј“ и црквата”Св.Богородица “
- запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, релјефот,вегетацијата на овие простори
- негување на старите кулурни вредности и обичаи
- запознавање со историјата на овие простори (локалитет)

**Образовно – воспитни задачи:**

- стекнување знаења за значењето на Лешочкиот манастир од страна на одговорно лице
- да развива позитивен однос кон животната средина
- да се развива чувството за одговорност, свесна дисциплина
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи

**Содржина и опис на активностите:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Раководители на екскурзијата:** Директорот на училиштето

**Одговорни наставници:** одделенските наставници на 3-те одделенија Виолета Ванева, Марија Павловска, Кате Митевска

**Време на реализација** : април-мај

**Времетраење:** еднодневна

**Локации за посета и правци на патување:**

Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон Тетово. Стигнување во Тетово, посета на Шарената Џамија,Тетовско кале,Лешочки манастир и гробот на Кирил Пејчиновиќ. Враќање за Скопје.



**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## 1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ-ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

**Вид на екскурзија**: научно - наставна
**Времетраење :** 2 дена
**Време на реализација**: Април-Мај
**Опфатеност на ученици:** VI-1 одделение, VI-2 одделение
**Образовно – воспитни цели:**
- запознавање со природните убавини и знаменитости на Источна Македонија, нивните природно-географски обележја, релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви,езеро,граничен премин,печатница , локалитетот Стоби и др,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Образовно – воспитни задачи:**
Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Содржина и опис на активностите:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.
**Носители на активностите:**
- одделенските раководители
- учениците од 6 одделение

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** директорот на училиштето
**Одговорни наставници:** класните раководители на 6-те одделенија: Даниела Петрушевска, Милена Манчиќ Пауновска.
**Време на реализација:** април /мај
**Локации за посета и правци на патување**
**Локации:** Источна Македонија: Кокино, Кратово-Радин мост, Струмица -Манастирот Водоча, Дојранско Езеро, Саат Кулата во Дојран, граничен премин Стар Дојран,Стоби,
**Правци за патување**
Патувањето започнува од Скопје-Куманово – Кратово – Пробиштип – Штип-Радовиш - Струмица - Дојран-Стар Дојран –Богданци-Гевгелија –Демир Капија-Неготино- Стоби - Скопје.




**Финансирање:**
- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:**
- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**
- ***1. ден***

Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот. Се патува преку Куманово со попатна посета на Кокино. Се продолжува за Кратово со панорамско разгледување на градот, запознавање со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата и др. Се продолжува за Пробиштип, Штип и Радовиш. Се продолжува за Струмица посета на манастир Водоча,посета на водопадите . Сместување во хотел во Струмица. Вечера. Организирана забава во хотел или во диско по договор со училиштето. Ноќевање.

- ***2. ден***

Појадок, посета на Дојран и граничниот премин Стар Дојран. Поаѓање за Скопје преку Богданци ,посета на печатница Софија, Гевгелија, Демир Капија и посета на Попова кула, Неготино. Се продолжува за Стоби со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамски разгледување и попатни одмори се продолжува за Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

### *1.5. ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ– ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА*

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење:** 3 дена

**Време на реализација**: Септември-Октомври

**Опфатеност на ученици:** IX-1 одделение, IX-2 одделение

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со местоположбата, старата македонска архитектура и природните убавини на Прилеп, градот Охрид и Струга;
- Проширување на знаењата за настанувањето на манастирот Св.Наум и дејноста на Св.Наум Охридски;
- Стекнување сознанија за археолошките откритија на локалитетот Стоби и Плаошник (базилики,мозаици,старата црква на Св.Климент, Светиклиментовиот Универзитет) и проширување на знаењатаза животот и дејноста на Св.Климент;
- Запознавање со местоположбата и проширување на знаењата за историјатот и важноста на Самоиловитетврдини;
- Проширување на знаењата за животот и дејноста на Браќата Миладиновци и Григор Прличев
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори,
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Образовно – воспитни задачи:**

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебниодноси.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи,писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Носители на активностите:.**

- учениците од 9 одд.
- одделенските раководители на 9-те одделенија

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Директор на училиштето

**Одговорни наставници:** класните раководители на 9-1 и 9-2 одделение: Никола Попадиновски и Милена Аргирова

**Времетраење:** 3 дена - две ноќевања
**Време на реализација*:***

- април/ мај

**Локации и правци на патување**

**Локации :** Западна Македонија - Стоби, Прилеп (Прилепска чаршија, Могила на непобедените), Крушево (спомен куќа на Тодор Проески, споменички комплекс ,,Илинден"( „Македониум“),Битола-Хераклеа,Широк сокак, Охрид- (Манастир „Св. Наум Охридски“, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“) – Охрид, Охридската чаршија, Струга (Чаршија, Куќата на Миладиновци, Природно-научниот Музеј), Вевчани, Кичево-манастир “Св.Богородица-Пречиста”
**Правци на патување:** Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Битола-Охрид-Струга-Кичево-Скопје.




**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице. Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден.*** Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила.Од Прилеп се продолжува кон Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен куќата на Тоше Проески.Се продолжува во Битола,каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак .Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел и имаат организирана вечера,диско забава и ноќевање.
- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови и заминување на организирана вечера.

- Појадок. Посета на Струшката чаршија,на истекот од Охридското езеро и по течението на Дрим,посета на куќата на Миладиновци и Природно-научниот музеј, посета на Вевчани и изворите. Враќање за Скопје преку Кичево со посета на манастирот Св. “Богородица-Пречиста”.Учениците пристигнуваат пред училиште во вечерните часови.

**За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава.**

## 2. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

**Место: Струга**
**Одделение:** 5-1 и 5-2 одделение
**Образовно – воспитни цели :**

- да го поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- да се оспособува за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- да се оспособува за критичкиосврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособува активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен (трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, синтеза, анализа);
- да се разберат настаните, појавите (природни богатства, стопанство, културно- историски споменици и знаменитости, култура);
- да се развиваат способности на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторно претставување);
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;

**Образовно – воспитни задачи:** Врз основа на целите преку обработка на соодветни теми и наставни содржини со оваа настава треба да се обезбеди:

- Утврдување и проширување на знаењата, како и стекнување на нови знаења за природата, нејзините богатства и убавини ;
- Запознавање со животот и работата на луѓето во крајот, со поблиското и подалечното минато ;
- Запознавање со позначајни културно-историски, стопански и др. објекти;
- Стекнување на основните сознанија за екологијата и развивање позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- Запознавање со растителниот и животинскиот свет во Охридското Езеро;
- Да ги препознаваат лековитите растенија, да собираат и користат;
- Запознавање со главните занимања на луѓето особено со : рибарство, овоштарство, сточарство, туризам и др.;

- Негување на позитивен однос кон трудот и работата, како и чувство за одговорност и дисциплина при извршување на поставените задачи;
- Оспособување за ориентација и движење во природата;
- Стекнување и негување на работни и хигиенски навики за одржување на личната и општата хигиена ;
- Обезбедување на побрз и правилен психички развој како резултат на позитивното влијание од повеќедневниот престој во здрава природна средина;
- Развивање на другарството, меѓусебното почитување, натпреварувачки дух, физичко и здравствено, естетско, работно и техничко образование и воспитение.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**
Во текот на патувањето, престојот и посета на сите педвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали,прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на културно- историски споменици во Струшката околина, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од околината на Струга) со цел да се добијат позитивни повратни информации.
**Начин на реализација:**
- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

**План на патувањето:**
**а) Прв ден:** Поаѓање од училиштето во 8.00 часот. Се патува преку Тетово, Гостивар, с.Вруток (попатно-панорамско набљудување на Полошката котлина). Пристигнување во с.Вруток од кај што извира реката Вардар, Вруток-Маврово ( разгледување на Мавровското езеро), Маврово-Св.Јован Бигорски. Пристигнување и сместување во Мајски цвет-Струга, прошетка и разгледување на непосредната околина. Ручек и попладневен одмор. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава. Ноќевање.
**б) Втор ден:** Појадок, утринска гимнастика. Посета на градот Струга ,посета на спомен куќата на Браќа Миладиновци и паркот на поезијата, прошетка низ чаршијата и запознавање со старите занаети. Разговор и правење интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Струга и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на природно-научниот музеј, разгледување на експонатите и разговор со стручни лица. Враќање во одморалиштето. Ручек и попладневен одмор.. Пишување на извештаи за посетата и

презентација на извештаите и размена на искуства . Водење на групен дневник за местата, знаења впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден.Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење на учениците.Ноќевање.
**в) Трети ден:** Појадок,утринска гимнастика.Посета на Вевчанските извори, посета на Даљан кајшто се ловат јагулите на реката Црн Дрим. Враќање во одморалиштето. Ручек и попладневен одмор. Цртање според набљудувањата. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење. Ноќевање.
**г) Четврти ден:** Појадок,утринска гимнастика. Подготовка за напуштање на одморалиштето.Посета на манастирот„Св.Богородица„ во Калишта. Враќање преку Охрид краток престој на Стража. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.
**Време на реализација:** мај
**Времетраење: четири дена**
**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето
**Одговорни наставници: Билјана Арсовска и Билјана Лазаревска**

**Носители на активности:** учениците од V-1 одделение со одделенскиот наставник Билјана Арсовска, и учениците од V-2 одделение со одделенскиот наставник Билјана Лазаревска

**Локации за посета и правци на патувањето**
**Локалитети и објекти:** Полошката котлина, Вруток, Мавровско езеро, Св. Јован Бигорски, спомен куќата на Браќа Миладиновци, Охридско езеро, Струшката чаршија, манастирот„Св.Богородица„ во Калишта, Природно-научниот музеј, Вевчански извори, Даљан,
**Правци на патувањето:** Скопје – Тетово – Гостивар – Маврово – Струга – Охрид – Стража - Скопје
Пристигање во училишен двор во попладневните часови.

**НАСТАВНИ ТЕМИ – ЦЕЛИНИ**
***I. ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ***

Во зависност од периодот и условите на објектот, а врз основа на Годишната програма за работа на наставниците и тоа:

- Активностите ќе се одвиваат во природа и во училница, согласно нормативот за простор и тоа :
- За утврдување и проширување на знаењата
- За обработка на нови наставни содржини и стекнување нови знаења

***II. ЕКОЛОГИЈА***

- Поим за екологија и значење на животната средина;
- Како да се однесуваме во животната средина;
- Не го загадувај воздухот
- Водата како животна средина;
- Поим за извор, поток, река;
- Езерата како животна средина. Видови езера;
- Водата и нејзиното значење за живиот свет;
- Шумите како животна средина и филтри на воздухот;
- Отпадоци - видови отпадоци и како се постапува со истите;
- Еко - производи - благодет за живиот свет;

***III. СПОРТ***

- Утринска гимнастика
- Одење и пешачење во природа
- Атлетски игри и натпревари
- Спортски игри - фудбал, кошарка, народна топка, пинг-понг и др.
- Рекреативно забавни игри
-

***IV. ЗАБАВА И КУЛТУРА***

- Формирање на ученички интересни групи : литературна, ликовна, музичка, за забава;
- Изготвување на план за работа на ученичките интересни групи : програма за вечерни активности -
- Избираме најдобар глас, избор на мис и мистер, избор на најдобра фризура, маскенбал - најдобра маска, најдобар играчки пар, вечер на хумор и смеа и сл.

***V. ИЗЛЕТИ***

- Одење до Охрид и Св.Наум
- Одење до Вевчанските извори

***VI. ПРОИЗВОДСТВЕНО - КОРИСНА РАБОТА***

- Изготвување на ѕиден весник - со лични и литературни творби
- Изготвување на изложба со ликовни творби и детски креативни изработки

***VII. ХИГИЕНА***

- Лична хигиена - прибор за хигиена, употреба и одржување на личната хигиена
- Општа хигиена - одржување на хигиената во спалните соби (слагање на личните работи, местење на кревети, постапка со отпадоци и друго) и чистење на дворот и околината

***VIII. ЗДРАВЈЕ***

- Медицински кадар
- Прегледи по потреба (лекарства и употреба)

***IX. ИСХРАНА***

- Кујна - опрема и персонал
- Трпезарија - опрема, персонал и функција на истата
- Прибор за исхрана и користење
- Бон-тон за време на јадењето
- Листа на јадење - значење на правилната исхрана за здравјето, растот и развитокот на учениците

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО**

- Место на поаѓање: од училишниот двор
- Време на поаѓање : во 8,00 часот

**КАДРИ ЗА РАБОТА**

За реализација на наставата во природа ќе бидат ангажирани:

- Одделенските наставници
- Стручни лица : рекреативци и лекар

**РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО**

| ***Активности*** | ***Време*** |
|---|---|
| ♦ Станување | 7,00 |
| ♦ Утринска гимнастика | 7,05 - 7,20 |
| ♦ Лична хигиена и уредување на спалните | 7,50 - 8,00 |
| ♦ Појадок | 8,00 - 8,30 |
| ♦ Подготовка за настава | 8,30 - 8,40 |
| ♦ Настава и враќање во објектот | 8,40 - 12,30 |
| ♦ Подготовка за ручек | 12,30 –13.00 |

| | |
|---|---|
| ♦ Ручек | 13,00 - 14,00 |
| ♦ Попладневен одмор | 14,00 - 15,40 |
| ♦ Ужина | 15,40 - 16,00 |
| ♦ Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности | 16,00 - 18,30 |
| ♦ Подготовка за вечера | 18,30 - 19,00 |
| ♦ Вечера | 19,00 - 19,30 |
| ♦ Вечерни содржини | 19,30 - 21,00 |
| ♦ Подготовка за спиење | 21,00 - 21,20 |
| ♦ Повечерје – спиење | 21,30 - 7,00 |

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување согласно нормативот за изведување на настава во природа(опремена училница, простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование, спортски терени), лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**План за изведување на набљудувања и посети на знаменитости и установи**

**<u>Набљудувања:</u>**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**<u>Посети:</u>**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Археолошки музеј
- Археолошки локалитет Тумба Маџари
- Меморијален центар на холокаустот на Евреите во Македонија
- Музеј на Македонската борба
- Природно-научен музеј
- Зоолошка градина
- Библиотека “Другарче”
- Саем на книгата
- Градски кина

- Изложби
- Црква  Св. Спас Скопје
- Стара чаршија
- Јаја Пашина џамија
- Кањонот Матка, Манастир Успесение на Пресвета Богородица
- Манастир св.Пантелејмон, Горно Нерези
- Римскиот Вијадукт
- Скопско Кале
- Аеродром Скопје

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и  литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата

- Пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица
- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Посета на Аеродром, Скопје
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во  своите наставни програми.Овие  посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:- лично обраќање кон други луѓе ; - приспособување на говор во дадена ситуација; - културно однесување со други луѓе; еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното  богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;

- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

**Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:** Игор Китановски – директор, Марија Павловска– одделенски наставник, Билјана Лазаревска – одделенски наставник, Драган Димитриевски- предметен наставник, Никола Попадиновски - предметен наставник

## Програма за натпревари за учениците

**Ученички натпревари** се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

Нашето училиште учествува на :
- училишни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари

| **Предмет** | **одделение** | **наставник** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | VI,VIII, IX<br>VII ,IX | Јасминка Трајковивќ<br>Милена Манчиќ- Пауновска | Февруари |
| **Англиски јазик** | I - V<br>V - IX<br><br>VIII | Елеонора Павлова<br>Дафина Ангелеска-Лозановска<br>Евдокија Димовска | Февруари |
| **Математика** | VI,VII,VIII<br>VIII, IX | Ксенија Бојчевска<br>Милена Аргирова | Февруари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Природни науки** | V -VI | Даниела Кузмановска | Февруари |
| **Биологија** | од VII до IX | Даниела Петрушевска | Февруари |
| **Хемија** | VII - IX | Даниела Петрушевска | Февруари |
| **Географија** | од VI до IX | Драган Димитровски | Февруари |
| **Физика** | VIII –IX | / | Февруари |
| **Информатика** | VI- VII | Милена Аргирова | Февруари |

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира , во кој период од учебната година и кој ученик може да учествува во натпреварот.

Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани во разни поводи во општината и регионот.

**Програма за реализација на ученички натпревари**

| Цели | Содржини/ Активности | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување план и распоред** | Планирање на училишни натпревари | Одговорни наставници | Септември | Успешна реализација на училишните натпревари |
| **Навремено информирање за организирање интерни натпревари** | Изготување план за одржување интерни натпревари | Одговорни наставници | Ноември | Транспарентност и навременост во информирањето |
| **Поттикнување интерес и развивање афинитети кон одредени науки, спортски и ликовни активности** | Менторски активности за подготовка на учениците | Одговорни наставници | Ноември/Декември | Продлабочување на знаењата и вештините на учениците |
| **Учество на учениците на интерните натпевари во училиштето** | Спроведување на училишните атпревари | Одговорни наставници | Декември | Избор на ученици кои ќе одат на натпревари од повисок ранг |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Учество на учениците на натпревари од повисок ранг** | Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (градски,општински и државни натпревари) Меѓународен мат. натпревар Кенгур | Предметни наставници ученици | Во тек на второто полугодие (март, април, мај) | Учество и афирмација на учениците учесници |
| **Развивање натпреварувачки дух кај учениците како значајна компонента од нивниот развој и формирање на личноста** | Одржување на натпревари од повисок ранг (градски,општински и државни натпревари) по: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, математика, физика, хемија, информатика, историја, географија, Црвен крст, ТО и народна техника<br>Натпревари по хорски и оркестарски смотри | Предметни наставници Ученици | Во тек на второто полугодие (април, мај) | Изградена смодоверба и натпреварувачки дух кај учениците |
| **Презентирање на извештајот од одржаните натпревари** | Анализа и сумирање на резултатите од одржаните натпревари | Одговорен наставник и стручни соработници | Јуни | Постигнати високи резултати на регионални натпревари<br>Промоција на училиштето |

Одговорни наставници: Виолета Ванева, Ксенија Бојчевска

## Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

| Активности (на училишно ниво) | Очекувани резултати | Предуслов за реализирање | Реализатор | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| Дефинирање на улоги на членовите на тимот<br>Дефинирани одговорности на членовите на тимот според МИО активностите. | Дефинирање и координација на активностите на членовите од тимот со цел успешна реализација на активностите. | Увид во досегашните активности и резултати<br>Координација на улогите во тимот | Координатор на МИО активности-Никола Попадиновски<br>Тим за училишна интеграција | Јуни |
| МИО активности во годишната програма<br>Планирање на МИО – активности во Годишна програма и самоевалуација за состојбите | -Усвоена Годишна програма со МИО<br>-План за акција со конкретни самостојни активности на училштето и јасна дефиниција на нивните цели | Спроведување самоевалуација на реализацијата на активностите меѓуетничка интеграција во образованието и планирање на активностите врз основа на резултатите од самоевалуацијата | Тим за училишна интеграција | Јуни |
| Планирање конкретни самостојни активности | Подготовка на акционен план со планирани и конкретизирани самостојни активности | Планирање и координација на тимови и потребни ресурси за реализација на планираните активности | Тимови, наставници, стручна служба | Јуни |
| Планирање заеднички активности со партнер училиштето | Продолжување на партнерството со училиште со друг наставен јазик<br>-Организирање на заедничка работна средба меѓу тимовите на партнерските училишта.<br>-Изработка на предлог план за соработка и комуникација меѓу партнерските училишта.<br>-Доставување на потпишан формулар за продолжување на партнерството. | Планирање и координација на тимови и потребни ресурси за реализација на планираните активности<br>Продолжување на партнерство со училиште на други два јазици | Тим за училишна интеграција, Наставници, Директор. | Август |
| Реализација на планираните активности за учебната 2022/23 година | -Сите планирани самостојни и заеднички активности со партнер училиштето, се спроведуваат согласно изработените акциони планови<br>- Тековно се одржуваат состаноци на | Увид во минатите активности преку евидентирани портфолија и водење на ново портфолио со практики и евиденција на сработеното.<br>Се користат и разни прирачници и | Тимови за училишна интеграција, Наставници. | Во текот на цела учебна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | стручните активи и тимовите на кои се рагледуваат примери и се предлагаат идеи на успешни практики за претстојните самостојни и заеднички активности<br>- Редовно се врши евиденција и презентација на докази за спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со партнер училиштето | водичи во организирање на самостојни и заеднички активности | | |
| Следење на реализацијата на активностите | - Јавно презентирање и пристап до информација за резултатите на реализираните активности;<br>- Извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставени до тимовите за училишна интеграција;<br>-Континуирано истакнување информации на табла во наставничка канцеларија за реализацијата на активностите. | Простор за изложба и презентации на сработеното<br>- Преглед на часови со планирани МИО содржини<br>-Преглед на план за планирана активност, работни задолженија, производ од учениците и извештај од спроведените активности, портфолио од активности<br>- Средби на тимот за училишна интеграција за реализираноста на активностите на ниво на училиште и помеѓу партнер училиштата | Тимови за училишна интеграција, Наставници. | Во текот на цела учебна година |
| Промоција на реализираните активности | -Континуирано ажурирање на училишната веб-страна со информации од МИО (постоечки, промотивни и тековни)<br>-Презентација на активностите, продуктите и резултатите пред јавност ( родителите, наставниците,учениците и други заинтересирани страни) | Простор за изложба и презентации на сработеното<br>- Веб-страна на училиштето<br>-Промотивен материјал (постери,брошури и сл.) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности | Тимови за училишна интеграција, Наставници. | Во текот на цела учебна година |
| Водење професионално портфолио | -Професионално портфолио со резултати и докази од спроведените МИО активности (самостојни и во соработка). | Успешни практики од раеализирани активности, рефлексија од истите и анализа на спроведените активности | Тимови за училишна интеграција, Наставници. | Во текот на цела учебна година |

Одговорни наставници: Тања Стреоска Урумовска, Везира Идризовиќ

## Програма за антикорупциска едукација на учениците 2023/24 година

**Цели на проектот**

Ученикот / ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

| Ред. Бр | Активности | Цел на активноста | Соработници | Време | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефинирање на целна група и формирање тим за да се одреди содржината и методот на антикорупциските предавања | Одредување тим за изработка на програма за антикорупциска едукација | Никола Попадиновски-наставник по граѓанско образование | Ноември | Формирање тим и изработка на програма за антикорупциска едукација за ученици од V – IX одделение. |
| 2. | Донесување и усвојување на програма за активности на тимот за планирање | Оспособување на тимот за реализација на програмата | Тим за планирање | Ноември | Успешна реализација на програмата и размена на искуства |
| 3. | Предзнаења за корупција и антикорупција кај учениците | Пополнување на прашалници од страна на учениците | Никола Попадиновски-наставник по граѓанско образование | Ноември | Да се согледаат предзнаењата на учениците |
| 4. | Предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон | Разбирање и препознавање на | Одделенски раководители од | Ноември Декември | Стекнување знаења за корупција и антикорупција, одолевање на социјален притисок, препознавање на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | корупциските активности; за корупција и антикорупција- работилница за ученици | поими | V-IX одд. | | механизми за спречување на корупција |
| 5. | Работилници за антикорупциска едукација на учениците | Активно учество на учениците преку сваќање или разбирање поими и настани | Наставници од V-IX одд. | Јануари-Март | Запознавање на облиците во кои може да се појават корупција и начинот на спречување и заштита од истата |
| 6. | Работилница:<br>Активна борба против корупцијата | Повисоки нивоа на знаења на учениците | Никола Попадиновски-наставник по граѓанско образование, педагог | Април | Да анализираат како и каде може да се појави корупција и како да се спречи истата, да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација |
| 7. | Утврдување на знаењата кај учениците за корупција и антикорупција | Пополнување на прашалници од страна на учениците, активности за повторување | Никола Попадиновски наставник по граѓанско образование | Мај | Сумирање на ефектите од Програмата и утврдување на стекнатите знаења на учениците |

Одговорен наставник: Никола Попадиновски

## Програма за еколошка едукација на учениците за учебна 2023-2024 година

**Еколошки кампањи**

| р.бр | Име на еколошката кампања | Време на реализација | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|
| 1. | „За да бидеш здрав, јади здраво“ | **16 Октомври**– Светски ден на храната , **20 Октомври**– *Светски ден на јаболокото* | Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Билјана Лазареска |
| 2. | „На еко знак, селектирај за да се употреби пак“ | **3 Октомври- Ден без отпад** | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Цигара?- БЛАГОДАРАМ НЕ ! | **31 Мај**– Светски ден на борба проотив пушењето | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |

**Еколошки акции**

| р.бр | Име на еколошката кампања | Време на реализација | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|
| 1. | Отстранување напотребни предмети од училишниот двор и објект и уредување на дворот | август | Драган Димитриевски<br>Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Даниела Петрушевска |
| 2. | Екостар рециклажа ДОО Скопје во нашето училиште беа поставени хартиени кутии и контејнер за одлагање стара хартија. | Цела година | Еко тимот и наставниците од 1 до 9 одд. |
| 3. | „Без возила, за поздрава околина“ | **22 Септември–<br>Ден без автомобили** | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 4. | „На еко знак, селектирај за да се употреби пак“ | **3 Октомври- Ден без отпад** | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска |
| 5. | „Чекор по чекор, здрав живот“ -пешачење по кејот на Вардар | **15 Октомври**– Меѓународен ден на пешачењето | Билјана Лазареска<br>Драган Димитриевски |
| 6. | „За да бидеш здрав, јади здраво“ | **16 Октомври**– Светски ден на храната , **20 Октомври**– *Светски ден на јаболокото* | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска |
| 7. | „Внимавај, атмосферата се загрева“ | **4 Ноември**– Ден на климатските промени | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 8. | „Кофичка по кофичка буренце“<br>Собирање дождовница | **Ноември** | Виолета Ванева<br>Марија Павловска |
| 9. | „И јас имам права, но и одговорности“ | **20 Ноември**– Светски ден | Билјана Лазареска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на правата на детето | Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 10. | Биодиверзитетот е основа за здрав екосистем кој креира животна средина во која може да живееме, со чист воздух, вода и плод , а почва од која може<br>сите да се прехраниме. Компост | **29 Ноември – Меѓународен ден на биодиверзитетот** | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска Билјана Лазареска |
| 11. | „За волонтер не е потребно да имаш време, потребно е срце“ | **5 Декември**– Ден на волонтерите | Билјана Лазареска<br>Даниела Петрушевска |
| 12. | - Пешачење на Водно<br>- Собираме складираме продаваме стара хартија | **11 Декември**– Меѓународен ден на планините | Билјана Лазареска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 13. | „Енергијата ни бега да ја зачуваме треба“ | **14 Февруари**– Светски ден за зачуваување на енергијата | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 14. | Исклучи ги светилките -заштеди | **5 Март**– Светски ден на енергетската ефикасност | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 15. | Ден на дрвото | **21 март** | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 16. | „Расцветај, разелени“ | **21-28 Март – Денови на пролетта за заштита на околината** | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 17. | „Секоја капка се брои“ | **22 Март**– Светски ден на водите | Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Билјана Лазареска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Посета здравствена установа | **7 Април**– Светски ден на здравјето | Билјана Лазареска<br>Даниела Петрушевска |
| 19. | „Одржи баланс во природата“ | **19 Април – Ден на велосипедизмот** | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 20. | „Внимавај те моли, затоа што ја боли“ | **22 Април**– Светски ден на планетата Земја | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 21. | Цигара?- БЛАГОДАРАМ НЕ ! | **31 Мај**– Светски ден на борба против пушењето | Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 22. | Расцветај го училишниот парк | **5 Јуни**– Светски ден на заштита на животната средина | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| 23. | Собирање отпад (батерии) | Во текот на целата година | Билјана Лазареска<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |

Климатски промени

**ШТО СЕ КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЗОШТО СЕ СЛУЧУВААТ?**

Климатските промени се однесуваат на промени во целокупната состојба на климата на Земјата (како што се температурата и врнежите). Не можеме лесно да ги забележиме климатските промени, бидејќи се случуваат во текот на долги временски периоди. Летните периоди денес се пожешки отколку порано, или пак е подождливо или поветровито. Научниците го истражуваат минатото на Земјата и ја набљудуваат сегашната клима, а имаат откриено дека планетата бргу се затоплува. Зошто се менува климата?

**ШТО МОЖЕ ДА НАПРАВИТЕ?**

Постојат докажани начини да се промовира промена во однесувањето,па така, за да се зголеми влијание може да се спроведат следните активности:

**ФОКУСИРАЈТЕ СЕ НА КОНКРЕТНА, ОСТВАРЛИВА ПРОМЕНА ВО ОДНЕСУВАЊЕТО**

Приоритет ставете им на активностите што целат кон многу јасна и конкретна промена на однесувањето, (на пример, подобро е да се каже „секој пат кога сте во можност, одете пеш или со велосипед наместо со автомобил“, отколку „намалете го своето влијание врз климата“).

**ПОСТОЈАТ 17 SDGs**

1 – КРАЈ НА СИРОМАШТИЈАТА

Да се елиминира сиромаштијата во сите нејзини облици
насекаде во светот

2 – КРАЈ НА ГЛАДТА

Да се елиминира гладот, да се постигне прехранбена безбедност и подобрена ухранетост и да се промовира одржливо земјоделство

3 – ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

Да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите од сите возрасти

4 – КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИ Е

Да се обезбеди инклузивно и правично квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите

5 – РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Да се постигне родова еднаквост и да се еманципираат сите жени и девојки

6 – ПИТКА ВОДА И САНИТАЦИЈА

Да се обезбеди достап и одржливо управување со вода, како и санитарни услови за сите

7 – ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА

Да се обезбеди пристап кон ценовно достапна, сигурна, одржлива и современа електрична
енергија за сите

8 – ПРИСТОЈНА РАБОТА И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Да се промовира одржан, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и плодотворно
вработување и пристојна работа за сите

9 – ИНОВАЦИЈА И ИН ФРАСТРУКТУРА

Да се изгради издржлива инфраструктура, да се промовира инклизивна и одржлива
индустријализација и да се поттикнува и негува иновативноста

10 – НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА

Да се намали нееднаквоста во и меѓу различните земји

11 – ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ГРАДОВИТЕ

Градовите и човековите населби да се претворат во инклузивни, безбедни, издржливи и
одржливи средини

12 – ОДРЖЛИВА ПОТРОШУВАЧКА И ПРОИЗВОДСТВО

Да се обезбедат одржливи обрасци на потрошување и производство

13 – БОРБА ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ Е

Да се преземат итни мерки за борба со климатските промени и нивните влијанија

14 – СПАСУВАЊЕ НА ОКЕАНИТЕ, МОРИЊАТА И МИОРСКИОТ СВЕТ

Да се сочуваат и да се искористуваат на одржлив начин земјините океани, морија и морски ресурси во насока на постигнување одржлив развој

15 – СПАСУВАЊЕ НА ШУМИТЕ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Да се заштитат и обноват копнените екосистеми и да се промовира одржливо искористување на истите, да се управува на одржлив начин со шумите, да се влезе во костец со дезертификацијата на земјиштето и да се сопре и спречи деградацијата на почвата, како и да се спречи загубата на биодиверзитетот

16 – МИР И ПРАВДА

Да се промовираат општества кои се мирољубиви и имаат инклузивен пристап кон одржливиот развој, да се обезбеди пристап до правдата за сите и да се изградат делотворни  и инклузивни институции на сите рамништа

17 – ИЗГРАДБА НА ПАРТНЕРСТВА

Да се зајакнат средствата за спроведување на програмите на светското партнерство за одржлив развој и да се ревитализира истото

**Климатски промени** : Придружете се во борбата против климатските промени!

| АКЦИИ | **АКТИВНОСТ** | **ЕДУКАТИВНА ЦЕЛ** |
|---|---|---|
| **А**<br>**Климата е живот** | **А.2: Климата во заедницата** | Проучете ги локалните климатски услови и прашањата поврзани со нив. |
| | **А.14: Климата и начинот на живот** | Осмислете постер на кој ќе се прикаже како климата влијае врз квалитетот на живот |
| **Б**<br>**Причини за климатските промени** | **Б.1: Климатски историчари** | Да се истражи историјата на климата на Земјата и да се разберат природните фактори што влијаат врз неа. |
| | **Б.11: Големата дебата за климата** | Да се разберат и да се одговори кон ставовите на климатските скептици и да се одржи дебата на темата |

| | | |
|---|---|---|
| **В**<br>**Влијанијата од климатските промени** | **В.2: Климатските промени и земјоделството** | Анализирајте ги ефектите од климатските промени врз производството на храна и утврдете како да се обезбеди доволно храна (обезбеденост со храна). |
| | **В.15: Климатски бегалци** | Направете документарец за страдањата на климатските бегалци. |
| **Г**<br>**Решенија кон климатските промени** | **Г.2: Проучување на природните непогоди** | Да се проучат скорешните катастрофи причинети од климата и да се дискутира за напорите за обнова. |
| | **Г.15: Ставовите за тргувањето со емисии** | Да се направи презентација за трговијата со емисии. |
| **Д**<br>**Дејствуваме** | **Д.1: Ден на климатска акција** | Да се подигне свеста за климатските промени во локалната заедница |
| | **Д.16: Бидете учител на еден ден** | Да се научат помалите деца за климатските промени и нивниот ефект врз луѓето и природниот свет. |

ЕКО одбор : Координатор: Билјана Лазареска, Даниела Петрушевска, Драган Димитровски, Марија Павловска, Виолета Ванева

## ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

| **Еко-стандард** | | **Точка на акција** | **Цел** | **Време на реализација** | **Одговорен** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Вода** | **Исправна водододна инсталација** | Намалување на потрошувачката на вода во споредба со минатата учебна година | Септември - мај | Еко одбор<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска |
| **2.** | **Вода** | **Изработка на план за рационално користење на водата** | Намалување на потрошувачката на вода во споредба со минатата учебна година | Септември - мај | Еко одбор<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска |
| **3.** | **Вода** | **Поставување на упатства за рационално користење на водата** | Едукација за намалување на потрошувачката на вода | Септември - мај | Еко одбор<br>Невладини организации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Јавно претпријатие<br>Виолета Ванева<br>Билјана Лазареска |
| **4.** | **Вода** | **Формирање на еко патроли кои ќе го следат надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие акции** | Следење, надгледување и контролирање на процесот на имплементација | Септември - мај | Еко одбор<br>Училишна заедница<br>Виолета Ванева<br>Марија Павловска |
| **5.** | **Отпад** | **Поставување на корпи за селекција на отпад** | Воспоставување на пракса за селекција на хартија, пластика и органски отпад во училиштето | Септември - мај | Еко одбор<br>Јавно претпријатие<br>Билјана Лазареска<br>Даниела Петрушевска |
| **6.** | **Отпад** | **Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место** | Едукација за намалување на отпад преку организирана селекција | Септември - мај | Еко одбор<br><br>Билјана Лазареска<br>Даниела Петрушевска |
| **7.** | **Отпад** | **Формирање на еко патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности** | Следење, надгледување и контролирање на процесот на имплементација | Септември - мај | Еко одбор<br>Училишна заедница<br>Билјана Лазареска<br>Даниела Петрушевска Никола Попадиновски |
| **8.** | **Отпад** | **Поставување компостер** | Воспоставување на пракса за селекција на отпад и подигнување на еколошката свест кај пошироката заедница | Септември - мај | Еко одбор<br>Билјана Лазареска<br>Даниела Петрушевска |
| **9.** | **Транспорт** | **Поставување на паркинг места за велосипеди** | Поттикнување на праксата за користење велосипеди кај учениците и вработените | Септември - мај | Еко одбор<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| **10.** | **Транспорт** | **Поставување на полигон за велосипеди** | Едукација и информирање за одржлив транспорт преку поставување инфра структура | Септември - мај | Еко одбор<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |
| **11.** | **Транспорт** | **Формирање на еко патроли кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности** | Следење, надгледување и контролирање на процесот на имплементација | Септември - мај | Еко одбор<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска<br>Училишна заедница |
| **12.** | **Транспорт** | **Воспоставување на пракса за користење на велосипедот како превозно средство во училиштата** | Едукација и информирање за одржлив транспорт преку користење на алтернативни | Септември - мај | Еко одбор<br>Драган Димитриевски<br>Даниела Петрушевска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | превозни средства | | |

* додајте редови по потреба

**Насоки за пополнување на планот на активности:**

Во планот на активности вметнете ги оние еко-стандарди и точки на акција кои се јавиле како приоритетни за соодветната учебна година, а се произлезени од резултатите од направената анализа. Во третата колона наведете која е целта што сакате да ја постигнете со реализацијата на таа точка на акција. Имајте предвид дека целта секогаш треба да биде **конкретна, реална, остварлива и мерлива**. Таа треба да биде насочена кон воспоставување на одредена еколошка пракса во училиштето, која во иднина ќе може да се измери дали е постигната и да се претстави преку конкретни резултати изразени во бројки.
Имајте предвид дека последната колона треба да ви послужи за чекорот број 4 - мониторинг и евалуација, односно за бележење на податоците од постигнатите резултати, и истата треба да се пополни откако точката на акција ќе биде целосно реализирана (најчесто, податокот кој треба да се вметне во последната колона, треба да се вметне пред поднесување на вашата апликација за статус или да соодветствува со крајниот рок ставен во колоната за време на реализација).

**Теми за предметна настава**

## I. ТЕМА: ВОДА

| Еколошки содржини | | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на водата за живиот свет | | | | | |
| 2. | Извори на вода и нивна искористеност | 1. Математика | 6, 7, 9 | Мерење на потрошената вода 1 | 3 | сеп-дек |
| | | 2. Тех. образование | 6 | Користење на природни извори на енергија | 4 | април |
| 3. | Загадување на водата | 1. Македонски ј. | 8 | Лична творба со примена на градација | 1 | февруари |
| | | 2. Информатика | 7, 8 | Проекти со програма за цртање | 2 | окт/ноемв |
| | | 3. Хемија | 9 | Реагирање на метали со вода | 1 | јануари |
| | | 4. Англиски ј. | 8 | Achievments - Достигнувања | 1 | јан/фев |
| 4. | Рационално користење на водата | 1. Англиски ј. | 7 | Значење на водата | 1 | февруари |
| 5. | Обезбедување на техничка вода | 1. Математика | 9 | Претворање на мерни единици | 2 | ноември |
| 6. | Здрава вода за пиење | 1. Музичко обр. | 6 | Ритмички вежби за детски музички инструменти | 1 | септември |
| | | 2. Германски ј. | 6 | „Две млека, молам“ - пијалоци | 1 | октомври |
| 7. | Собирање и употреба на дождовница | 1. Историја- одд. час | 8 | Градење на позитивен однос кон растенијата и животните | 1 | март |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Анализа на состојбата на водоводната инсталација | | | | | |
| 9. | Изработка на упатства за рационално користење на водата | 1. Македонски ј. | 8 | Пишувам сценарио – Писмена вежба | 1 | април |
| | | 2. Француски ј. | 8 | Утврдување на тема бр. 8 | 2 | мај |
| | | 3. Географија | 9 | Карактеристични подрачја во С. Африка - Сахара | 2 | ноември |
| 10. | Подигање на свеста на поширокатa заедница (домот, локалната заедница и сл.) | | | | | |
| 11. | Дистрибуција на водата | | | | | |
| 12. | Водата и климатските промени | 1. Македонски ј. | 9 | „Дожд“ – Михо Атанасовски | 1 | октомври |
| | | 2. Географија | 7 | Реките во РМ | 1 | ноември |
| 13. | Водата и одржливиот развој | 1. Македонски ј. | 9 | Анализа на песната „Езеро“ – Матеја Матевски | 1 | ноември |
| | | 2. ФЗО | 6 | Атлетика – низок старт и брзо трчање | 1 | септември |
| | | 3. Биологија | 7 | Дифузија кај течности | 1 | февруари |
| **ВКУПНО** | | | | | 28 | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

## II. ТЕМА: ЕНЕРГИЈА

| Еколошки содржини | | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на енергијата за живиот свет | 1. Проекти од информатика | 7, 9 | Проекти со програма за мултимедијални презентации | 2 | фев/март |
| | | 2. Информатика | 7, 9 | Проекти со програма за мултиметијални презентации | 2 | фев/март |
| | | 3. Македонски ј. | 6 | Творење лирски песни со различни мотиви | 1 | октомври |
| 2. | Извори на енергија и нивна искористеност | 1. Физика | 9 | Електрична струја и струјни кола | 1 | ноември |
| | | 2. Хемија | 9 | Истражување на согорување на горивата | 1 | мај |
| 3. | Видови енергија | 1. Музичко обр. | 6 | Слушање музика (вокално дело) | 1 | октомври |
| 4. | Рационално користење на енергијата | 1. ФЗО | 7 | Атлетика – истрајно трчање на 600м | 1 | септември |
| | | 2. Македонски ј. | 9 | Еден летен ден – Писмена вежба | 1 | септември |
| | | 3. Математика | 6, 7, 9 | Текстуални задачи | 3 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Обезбедување на енергија преку алтернативни извори: соларен систем/фотоволтаици/ветерници | 1. Географија | 7 | Други извори на енергија | 1 | март |
| 6. | Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | 1. Проекти од информатика | 7, 8 | Проекти со програма за обработка на текст | 2 | јануари |
| | | 2. Француски ј. | 8 | Дебата во групи – Како да се помогне во заштита на околината/ блог/ манифестации и др. | 2 | мај |
| | | 3. Историја | 8 | Заштита на планетата Земја | 1 | март |
| 7. | Анализа на состојбата на електричната инсталација | | | | | |
| 8. | Подигање на свеста на поширокатa заедница (домот, локалната заедница и сл.) | 1. Германски ј. | 8 | Опис на соби | 1 | мај |
| | | 2. Англиски ј. | 8 | Достигнувања- Го сменив светот | 1 | јан/фев |
| 9. | Дистрибуција на енергијата | | | | | |
| 10. | Врската помеѓу енергијата и емитувањето на карбон диоксид | | | | | |
| 11. | Енергијата и климатските промени | | | | | |
| 12. | Енергијата и одржливиот развој | | | | | |
| 13. | Значење на енергијата за живиот свет | 1.Природни науки | 5 | Фотосинтеза | 1 | јан/фев |
| 14. | Редовно чистење на прозорците за максимално искористување на сончевата енергија | 1. Биологија | 7 | Фотосинтезата е важна | 1 | март |
| **ВКУПНО** | | | | | 23 | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

## III. ТЕМА: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО/ГРАДИНКАТА

| **Еколошки содржини** | | **Предмет** | **Одделение** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на хигиената во зградата | 1. Француски ј. | 6 | Простирии во куќа/стан | 2 | април |
| 2. | Еколошки средства за одржување на | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | хигиена | | | | | |
| 3. | Еколошки бои за бојадисување | | | | | |
| 4. | Неупотребливи предмети | 1. Музичко обр. | 6 | Проширување на опсегот со тонови | 2 | септември |
| | | 2. Физика одд.час | 9 | Согледување на резултатите од еко патроли | 1 | декември |
| 5. | ПВЦ амбалажа | 1. Информатика | 8, 9 | Проект со програма за обработка на текст | 2 | ноем/дек |
| 6. | Подигање на свеста на поширокатa заедница за хигиената и здрава средина | 1. Историја одд. час | 8 | Стекнување навики за здрава исхрана | 1 | април |
| | | 2. Македонски ј. | 9 | Говорна вежба - Дарежливост | 1 | февруари |
| 7. | Влијанието на хигиената врз здравјето | 1. ФЗО | 6 | Гимнастика – одење и потскокнување на ниска греда | 1 | февруари |
| | | 2. Германски ј. | 7 | Какво утро | 1 | јануари |
| 8. | Влијанието на човекот врз средината | 1. Македонски ј. | 6 | Прераскажување на текст - Шампион | 1 | јануари |
| | | 2. Англиски ј. | 8 | I`ve changed the world – Го променив светот | 1 | февруари |
| 9. | Анализа на состојбата во училишната зграда/градинката | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | 13 | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

## IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР

| **Еколошки содржини** | | **Предмет** | **Одделение** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на дворот | 1. Музичко обр. | 7 | Соборски ора – општи карактеристики | 1 | октомври |
| 2. | Биодиверзитетот во дворот | 1. Биологија | 9 | Користење на клучеви за одредување на организмите во локалната средина | 1 | март |
| 3. | Анализа на функционалноста на дворот | | | | | |
| 4. | Важноста на хигиената во дворот | 1. Математика | 9 | Пресметување периметар и плоштина | 1 | мај |
| | | 2. Македонски ј. | 8 | Текстови со практична примена | 1 | мај |
| | | 3. ФЗО | 8 | Атлетика – скок во далечина | 1 | октомври |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4. Историја одд. час | 8 | Грижа за хигиената во околината | 1 | февруари |
| 5. | Подигање на свеста на поширокатa заедница за хигиената во дворот | 1. Англиски ј. | 8 | Идеално училипте – пишување и говорење | 1 | фев/март |
| 6. | Изработка на упатства за одржување на дворот | 1. Информатика | 7 | Проектни задачи | 1 | ноември |
| 7. | Наводнување на зелени површини | 1. Географија | 7 | Врнежи во РМ | 1 | октомври |
| 8. | Хортикултурно уредување | 1. Македонски ј. | 6 | Писмена вежба – Еден ден од летниот распуст | 1 | септември |
| | | 2. Француски ј. | 7 | Усно разбирање на дијалогот и обработка на лексика за природа | 2 | јуни |
| 9. | Компост и компостирање | 1. Германски ј. | 7 | Кај Мануел дома | 1 | февруари |
| **ВКУПНО** | | | | | 13 | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

## V. ТЕМА: ОТПАД

| Еколошки содржини | | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови отпад | | | | | |
| 2. | Анализа на отпадот во зградата и дворот | 1. Македонски ј. | 8 | Анализа на домашната задача – Мојот свет во иднината | 1 | октомври |
| 3. | Селекција на отпад | 1. Музичко обр. | 7 | Радетски марш – Јохан Штраус | 1 | декември |
| | | 2. Германски ј. | 7 | Сестра ми е тука | 1 | февруари |
| 4. | Рециклирање | | | | | |
| 5. | Реупотреба | 1. Ликовно обр. | 6, 7, 8 | Изработка на 3Д зимски куќички | 3 | дек/јан |
| | | 2. Ликовно обр. | 6, 7, 8 | Создавање на современо уметничко дело - асамблаж | 3 | април |
| 6. | Депонии и диви депонии | 1. Македонски ј. | 7 | Ангели на отпад - анализа | 1 | април |
| | | 2. Историја одд. час | 8 | Безбедно однесување во средината | 1 | февруари |
| | | 3. Хемија | 9 | Влијание на температурата | 1 | ноември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Влијанието на отпадот врз здравјето и средината | 1. ФЗО | 7 | Македонски оро | | |
| | | 2. Француски ј. | 8 | Слушање и разбирање на дијалогот „Une experience ecolo“ | 2 | септември |
| 8. | Подигање на свеста на поширокатa заедница за управување со отпад | 1.Македонски ј. | 6 | Еден зимски настан | 1 | јануари |
| | | 2. Германски ј. | 9 | Кампување | 1 | / |
| 9. | Изработка на упатства за управување со отпад | | | | | |
| 10. | Анализа на состојбата со отпадот во зградата и дворот | | | | | |
| 11. | План за намалување на отпадот | 1. Физика | 9 | Пресметување на густина | 1 | октомври |
| | | 2. Англиски ј. | 8 | Пишување писмо (кампања) | 1 | јан/фев |
| **ВКУПНО** | | | | | 18 | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

## VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ

| **Еколошки содржини** | | **Предмет** | **Одделение** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Локален и национален биодиверзитет | | | | | |
| 2. | Анализа на биодиверзитетот во локалната средина | 1. Хемија | 9 | Дишење и фотосинтеза | 1 | март |
| | | 2. Германски ј. | 7 | Домашни миленичиња | 1 | март |
| 3. | Еколошки акции | 1. ФЗО | 9 | Психомоторни способности | 1 | мај |
| | | 2. Француски ј. | 8 | Раскажување на минати настани | 2 | септември |
| | | 3. Македонски ј. | 9 | Смоларски водопади-репортажа | 1 | јуни |
| | | 4.Историја-одд. Час | 8 | Градење чувство за опш.цивилизациска припадност | 1 | февруари |
| | | 5. Ликовно обр. | 6,7,8 | Рециклирање на ПВЦ или картонска амбалажа во ликовно дело | 3 | март |
| | | 6. Физика -одд. час | 9 | Еко акција | 1 | март |
| 4. | Влијанието на човекот врз | 1. Географија | 9 | Географија на САД | 1 | март |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | биодиверзитетот | 2. Биологија | 7 | Како луѓето го загадуват воздухот | 1 | мај |
| | | 3. Германски ј. | 8 | Ученик спасува волк | 1 | септември |
| | | 4. Македонски ј. | 8 | Интерпретација на песната,, Крај изворот на Вардар“ од Славка Арсова | 1 | декември |
| 5. | Влијанието на климатските промени врз биодиверзитетот | 1. Музичко обр. | 8 | Проектна активност за видови гласови | 1 | февруари |
| 6. | Подигање на свеста на поширокатa заедница за локалниот биодиверзитет | 1. Германски ј. | 7 | Поздрави од домот на животните | 1 | април |
| | | 2. Англиски ј. | 8 | Central Park живот и култура | 1 | мај |
| 7. | Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот | 1. Природни науки | 6 | Расфрлање отпад | 1 | февруари |
| 8. | Изработка на упатства за заштита на биодиверзитетот | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | 19 | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ**

| **Еколошки содржини** | | **Предмет** | **Одделение** | **Наставна содржина** | **Број на часови** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови транспорт | 1. Македонски ј. | 9 | Писмена вежба – Мојот патопис | 1 | мај |
| | | 2. Германски ј. | 8 | Превозни средства | 1 | декември |
| | | 3. Физика-одд.час | 9 | Безбедно однесување во средината | 1 | мај |
| | | 4. Англиски ј. | 8 | Патување во вселената | 1 | јануари |
| 2. | Влијанието на транспортот врз здравјето | 1. Музичко обр. | 8 | Темпо, динамика и карактер на забавна песна | 1 | мај |
Целокупната работа на ООУ„Дане Крапчев“-Маџари, Скопје како воспитнообразовна институција се планира и се изведува како во согласност со законските норми така и во согласност со годишната програма за работа на училиштето. Во рамките на годишната програма за работа на училиштето која се изработува пред почетокот на секоја тековна учебна година опфатени се сите подрачја на работа на училиштето. На самиот почеток акцентот е ставен на општите податоци, условите за работа, вработените и учениците, материјалнофинансиско работење. Понатаму вниманието е насочено кон останатите информации за училиштето како институција и целокупните активности кои се планираат и се преземаат во училиштето. Односно детално се разработени и претставени веќе научените и стекнатите искуства, подрачјата на промени, приоритети и цели, програмите и организација на работата, воннаставни активности, ученичко организирање и учество, вонучилишни активности, натпревари за учениците, унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција, проекти што се реализираат, поддршка на учениците и оценување, безбедност, грижа за здравјето, училишна клима, професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар, соработка на со родителите, комуникација со јавноста и промоција, следење на имплементацијата на годишната програма за работа како и самата евалуација на годишната програма за работа.

ООУ „Дане Крапчев“-Маџари, Скопје е дел од единствениот воспитно - образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште која е од јавен интерес. Поаѓајќи од целите и задачите на воспитанието и образованието, како и од своето место и функција во единствениот систем на воспитание и образование во учебната 2023/2024 година, ООУ„Дане Крапчев”-Маџари, Скопје ќе ги реализира целите на основно училиште.

**⇨ Планирањата кои се вградени во Годишната програма на училиштето се темелат врз:**

Законот за основно образование (,,Сл. весник на Р.М." бр. 161/2019, 229/20); Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта;
Закон за работни односи;
Закон за јавни набавки;
Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
Стратегија за образование 2018-2025;
Наставните планови и програми;
Статутот на училиштето;

Промени и иновации кои ги планира училиштето;
Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;
Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;
Под-законски и интерни акти;
Правилници од МОН;
Годишен извештај за работа на училиштето од претходната учебна година;
Извештаи од интегрална евалуација на квалитетот на работата на училиштето;
Извештај од самоевалуација на работата на училиштето;
Извештаи за финасиското работење на училиштето;
Наставните планови и програми за основно образование,
Концепција за деветгодишно образование;
Концепција за воннаставни активности;
Водич за слободни изборни предмети во основното образование;
Концепција за инклузивно образование;
План за одржување на наставата во основните училишта, во учебната 2023/2024 година;
Водич за работа на училишниот инклузивен тим;
Развојна програма за работа на основното училиште;
Кадровски и материјални услови на учиштето;
Најнови сознанија од посетени семинари, работилници,конференции и следење на стручна литература;

Изготвената Годишна програма за работа на училиштето се доставува на усвојување на Училишниот одбор.

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 1.1. Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ***ООУ„Дане Крапчев“*** |
| **Адреса, место, општина** | ***ул.„ Мађари“ бр.9 Општина Гази Баба Скопје*** |
| **Телефон** | ***+389 2 2 2525-292*** |
| **Факс** | ***+389 2 2522-257*** |
| **Веб-страница** | ***https://oudanekrapcev.edu.mk*** |
| **E-mail** | ***oudanekrapcev@yahoo.com ou-danekrapcev-singjelikgazibaba@schools.mk*** |
| **Основано од** | ***Собрание на Општина Гази Баба*** |
| **Верификација-број на актот** | ***14-1208/1*** |
| **Година на изградба** | ***1977*** |
| **Тип на градба** | ***Тврда градба*** |
| **Внатрешна површина на училиштето (m2)** | ***4 300 $m^2$*** |
| **Училиштен двор (m2)** | ***12 872 $m^2$*** |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | ***1 400 $m^2$*** |
| **Начин на загревање на училиштето** | ***сопствено парно греење на нафта и пелети*** |
| **Училиштето работи во смени** | ***Да*** |
| **Број на паралелки** | ***36*** |
| **Број на комбинирани паралелки** | **/** |
| **Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето** | ***Македонски јазик*** |
| **Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | **/** |
| **Во основното училиште има паралелки од музичко училиште** | **/** |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | **/** |

| | |
|---|---|
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | **/** |

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Вања Јовановски- заменик претседател<br>Анита Велковска-претставник од основачот<br>Јорданчо Тодосиев-претставник од наставници<br>Весна Кочова-претставник од наставници<br>Цветанка Милоскоска- претставник од родители<br>Биљана Трајановска- претставник од наставници |
| **Членови на советот на родители (име и презиме)** | Цветанка Милоскоска - заменик претседател<br><br>На првиот родителски состанок од секое одделение се избира по еден претставник кој што ги застапуваат интересите на родителите во Советот на родители. |
| **Стручни активи (видови)** | Стручен актив на одделенска настава;<br>Стручен актив на природно -математичка група на предмети;<br>Стручен актив на општествено -хуманитарна група на предмети; |
| **Одделенки совети (број на наставници)** | Одделенска настава-20 Предметна настава-32 |
| **Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)** | Адријана Младеновска - директор<br>Катерина Банџо - специјален едукатор и рехабилитатор<br>Весна Димитровска - одделенски наставник<br>Весна Кочова - предметен наставник,<br>Габриела Ѓоршева - педагог,<br>Данче Димчевска - родител<br>Марија Цветков - родител |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 36 |

| | |
|---|---|
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | 36 членови на ученички парламент.<br><br>Ана Ристиќ- Претседател |
| **Ученички правобранител** | Христијан Џопевски |

# 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 2.1. Мапа на основното училиште



**⇨ Училишна зграда,  училишна сала и надворешни терени**

Приземје-лево од централниот хол

Приземје-десно од централниот хол



Подрум



Спрат-лево од централниот хол



Спрат -десно од централниот хол



Фискултурна сала и надворешни терени

## 2.2. Податоци за училиштниот простор

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | **1** |
| **Број на подрачни училишта** | **/** |
| **Бруто површина** | **18.572 m2** |
| **Нето површина** | **4.300 m2** |
| **Број на спортски терени** | **3** |
| **Број на катови** | **2** |
| **Број на училници** | **25** |
| **Број на помошни простории** | **17** |
| **Училишна библиотека, медијатека** | **1** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **Сопствено парно греење на нафта и пелети** |

## 2.3. Простор

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 15 | 3618,79 | 4 | / |
| Училница за ученици со ПОП-Сензорна соба | 1 | 15,20 | 5 | / |
| Училница за продолжен престој за ученици од 1-во до 5-то одделение | 1 | 36,38 | 3 | Осовременување и опремување на училницата |
| Кабинети | 7 | 738,37 | 3 | / |
| Библиотека | 1 | 53,68 | 4 | / |
| Медијатека | 1 | 53,68 | 4 | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 387,25 | 5 | / |
| Соблекувални | 2 | 31,86 | 5 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Помошна просторија во сала | 2 | 24.16 | 5 | / |
| Ученички | 10 | 42,59 | 3 | Приспособување на |
| тоалети | | | | тоалет за ученици со телесен инвалидетет |
| Тоалет за вработени | 2 | 9,99 | 4 | / |
| Канцеларии | 6 | 191,17 | 4 | / |
| Училишен двор | 2 | 12685 | 3 | / |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 332,93 | 5 | / |
| Кујна | 1 | 35,43 | 3 | / |
| Кујна во склоп на наставничка канцеларија | 1 | 7,90 | 4 | / |
| Трпезарија | 1 | 51,34 | 3 | / |
| Помошни простории за наставници | 14 | 185,56 | 4 | / |
| Подрумски простори (котлара, скривница | 7 | 269,38 | 3 | / |
| Просторија за технички персонал | 2 | 38,74 | 4 | / |
| Просторија за хаусмајсори | 2 | 38,50 | 3 | / |
| Архива | 1 | 33,70 | 3 | / |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Македонски јазик** | Хамери, хартија во боја, лаптоп, смарт табла, креди во боја, прирачници, граматики, стручна литература, фломастери, ножици, постери, литература за деца (мали сликовници), енциклопедии, кутија со стапчиња во различни бои, кинетички песок, азбука на парчиња со магнет, книги со приказни, басни, звучна сликовница, звучна азбука, книга Мојот прв буквар, Постер-Букви латиница (печатно и ракописно), смарт табла. | Стручна литература, звучници, микрофон, магнети, маркери во боја за бела табла. |
| **Математика** | Геометриски тела (пластични), лаптоп, геометриски комплет (триаголник, шестар, агломер), сет за мерење волумен, мрежи на геометриски тела, пластични и дрвени модели на 3Д форми, конструкторски прачки, стотки, десетки, единици, модел целодропки, геометриски сет за определување плоштина на тела, вага за еднаквост, сетови за дропки, модели на 3Д форми, геометриски прибор за цртање, постери (броеви до 100), картички со броеви, бројна оска, математички плочки, картички со стрелки, „Не лути се човече“, елермаер од стакло, чаша, демонстративен часовник, коцки за поврзување, нумерчки стапчиња, стапчиња, математички семафор, дрвен рамнокрак и разностран триаголник, дрвен линијар. | Шестар (4), агломери (4), геометриски тела, тегови за металната вага, метро, мерици за зафатнина. |
| **Природни науки** | Магнети, лупи, метално ѕвоно, постери, хамери, енциклопедии, глобус, модел на вселена, глобус, светилки, постери за месечеви мени, вселена, cosвездија, галаксија, комети, метеори, атероиди, хартии во | Сита со различна големина, филтерни хартии, брашно, какао, варова вода, сода бикарбона, син камен, бакар, алуминиум, цинк, метална жица, спојувалки, |

| | | |
|---|---|---|
| | боја, пластелини, ножици, фломастери | магнети, струганици (дрвени и метални), термометри, пинцети, стетоскоп, вага, |
| **Општество** | Компас метален, постер – сообраќајни средства, постер-автобуска станица, аеродром, железничка станица, постери, енциклопедии, специјални возила, докторски сет, градинарски алат, постер за различни етнички зедници и обичаи, разлики и сличности меѓу нас, Релјефна карта на Р.С.Македонија. | |
| **Творештво** | / | / |
| **Физичко и здравствено образование** | Ракометен гол – 2<br>Мали голчиња - 2<br>Кош - 6<br>Мрежи за кош - 2<br>Столб за одбојка - 2 (не се во функција расходовани)<br>Одбојкарска мрежа - 2<br>Разбој (средна големина) -1<br>Греда (голема) - 1<br>Греда (мала) - 1<br>Коњ со рачки - 1<br>Јарец голем - 1<br>Јарец мал - 1<br>Отскочна даска - 2<br>Душеци - 20<br>Душек голем - 1<br>Шипки за качување 5м - 4<br>Шведска клупа - 1<br>Рипстол - 18<br>Обрачи - 10<br>Ѓулиња - 1<br>Фудбалски топки - 10<br>Ракометни топки - 10<br>Одбојкарски топки – 6<br>Мрежа за пинг понг 1<br>Рекет за пинг понг 1<br>Пумпа за топки 1 | 2 сета за пинг понг<br>1 маса за пинг понг<br>10 јажиња за скокање<br>5 свирчиња<br>1 јаже за влечење 8метра<br>1 вага за мерење<br>2 сета тениски рекети<br>2 сета бадминтон<br>1 летва за скок во височина<br>5 пара патики<br>5 пара тренерки<br>2 штоперици<br>Боксерска вреќа, Ракавици за боксување |

| | | |
|---|---|---|
| **Музичко образование** | Пијано, мандолини, контрабас, орфови инструменти, сет музички инструменти (дајре, маракас, тропалки, кстањети, чинели, триангл, ѕвончиња со рачка) | Хармоника, сараунд, гитари, жици за мандолини |
| **Ликовно образование** | Лап топ, смарт табла, прожектор,разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината), дидактички средства и материјали, визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби), аудио-визуелни средства (лап топ и образовни софтвери зависно од содржината), репродукција на ликовни дела. | Простор за складирање на ликовните изработки, четки, поликолори во различни бои, акрилни бои, сув пастел, лак за коса, различни видови и подлоги за цртање и сликање, печатарска боја, сликарски шпакли, глина, фломастери, дрвени боички, ножици, скалпел, пиштол за лепење со топол лепак, преса за печатење, нови паноа за изложување на ликовни творби, печатарска хартија. |
| **Техничко образование и информатика** | Триаголници, линијари и ножици<br><br>Функционални компјутери со целосна опрема (монитор, тастатура и глувчиња) Печатар, смарт табла, лаптоп | Чекан и микробит<br><br>/ |
| **Англиски јазик** | Касетофон, интерактивна табла<br>прожектор, лаптоп, смарт табла | Постери и флеш карти за латинична азбука, држави и националности, семејство, дом, училиште, технолошки иновации, професии, играчки, храна, животни (домашни и диви) бои, броеви, места во градот |
| **Француски јазик** | Касетофон, интерактивен панел, прожектор | / |

| | | |
|---|---|---|
| **Историја**<br><br>**Историја и општество** | Историски карти<br>- Освојувањата на Александар Македонски<br>- Римско царство<br>- Античка Македонија<br>- Географските откритија<br>- НОБ во Македонија<br>- Хелада | Историски карти за сите периоди и настани<br>стручна литература |
| **Географија** | Географска карта на свет, географска карта на Европа, географска карта на Азија, географска карта наАфрика, географска карта на Австралија, географска карта на Јужна Америка, географска карта на Северна Америка, географска карта на Македонија, географска карта на Балкан, географски глобус физичко-географска 3д карта на С.Македонија | 5 географски атласи, Физичко-географска карта на С.Македонија (5), голема Физичко-географска карта на медитеранските земји |
| **Биологија** | Машки урогенитален систем, женски урогенитален систем, модел на човек -торзо, микроскоп, лупа, модел мозок, срце, кожа, уво, постери, скелет, бубрези, модел на растителна клетка, Микроскопски препарати - трајни, микроскопски стакленца (покровно, предметно), анатомски атлас за коски, енциклопедии, атласи, постери, апарат за мерење на крвен притисок и пулс, модел на око,модел на цвет,модел на ДНК,пресеци на стебло/корен | Спирометар за мерење белодробен капацитет, Решо, шпиртни ламби, агар подлоги, епрувети, вага, стаклени чаши, Бенедиктов реагенс, Биуретов реагенс, Луголов раствор, фелинг 1 и 2, сулфурна, оцетна хлороводородна киселина, шеќер хартии, инки, Амилаза,гипс |

| | | |
|---|---|---|
| **Хемија** | Техничка и дигитална вага<br>Термометар<br>Електрично решо<br>Спиртна ламба<br>Бунзенов пламеник<br>Таблица на периодниот систем на елементите<br>Шеми и цртежи во склад со програмските потреби<br><br>**Лабораториски прибор**<br>Епрувета<br>Епрувети со тапи<br>Лабораториски чаши од 500 ml<br>Лабораториски чаши од 250 ml<br>Лабораториски чаши од 150 ml<br>Лабораториски чаши од 100 ml<br>Стаклена инка<br>Колба со тркалезно дно<br>Колба со рамно дно<br>Колба прскалка<br>Ерленмаери (100ml)<br>Ерленмаери (150ml)<br>Ерленмаери (250ml)<br>Стаклена када<br>Одделителна инка<br>Мензури<br>Аван со толчник<br>Порцеланско сатче<br>Саатно стакло<br>Стаклени цевки<br>Бирета | Калциум хлорид<br>Клциум оксид<br>Бакар во прав<br>Цинк хлорид (раствор)<br>Бакар(II) оксид<br>Бакар(II) карбонат<br>Универзален индикаторраствор<br>Магнезиум во прав<br>Магнезиумова лента<br>Железо во прав<br>Цинк во прав<br>Цинк во зрно<br>Раствор од железо(II) сулфат,<br>Бакар(II) карбонат,<br>Магнезиум карбонат<br>Амониум хлорид<br>Концентрирана сулфурна киселина<br>Концентрирана хлороводородна киселина<br>Шпиритус<br>Манган(IV) оксид Раствор од амониум хидроксид<br>Раствор од калциум хидроксид |

| | | |
|---|---|---|
| | Водено ладило (Либигово)<br>Градуирана пипета<br>Стаклени стапчиња<br>Шишиња за индикатори<br>Филтер хартија<br>Електричен бокал<br>Метален сталак<br>Метални муфи ,клеми и прстени<br>Капалки<br>Држач за епрувети<br>**Хемикалии за изведување на лабораториски вежби и демонстрации согласно програмата за предметот хемија**<br>Хлороводородна киселина(раствор)<br>Сулфурна киселина(раствор)<br>Азотна киселина(раствор)<br>Натриум хидроксид<br>Амониум хидроксид<br>Натриум карбонат<br>Натриум хлорид<br>Натриум хидрогенкарбонат<br>Калиум нитрат<br>Калиум јодид<br>Калиум хлорат<br>Калиум перманганат<br>Калциум сулфат<br>Калциум карбонат<br>Сулфур во прав<br>Јод<br>Цинк сулфат<br>Бакар(II)сулфат пентахидрат<br>Железо струготини<br>Сребро нитрат<br>Водород пероксид | |

| | | |
|---|---|---|
| **Физика** | Волтметар, Амперметар, галванометар, литарски мерки, вага, магнети, прачки за електрицитет, геометриски тела (пластични и дрвени), динамометри, пружини, мензура, манометар отворен, тегови за вага, Основен сет електроника, лостови, електроскоп, дигитален мултиметар | Мензури (4), крокодил штипки(20), оптичка призма(2), универзален мерен инструмент(1) комплети за отка на струјни кола (10) |
| **Информатика** | Функционални компјутери со целосна опрема (монитор, тастатура и глувчиња) Печатар, смарт табла, | / |
| | лаптоп | |
| **Проекти по информатка** | Функционални компјутери со целосна опрема (монитор, тастатура и глувчиња) Печатар, смарт табла, лаптоп | / |
| **Граѓанско образование** | работни листови, видео проектор и СМАРТ табла | Хамер |
| **Етика** | / | / |
| **Запознавање на религиите** | / | / |
| **Иновации** | / | / |
| **Вештини на живеење** | / | / |
| **Работа со компјутери** | Смарт табли, лаптопи | / |

## 2.5. Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| **1.** | **Учебници** | **826 комплети** |
| **2.** | **Лектирни изданија** | **9038** |
| **3.** | **Слободна литература за деца и возрасни** | **952** |
| **4.** | **Стручна литература за наставници и стручни соработници** | **642** |
| **5.** | **Белетристика** | **697** |
| **6.** | **Таблети** | **89** |

### 2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| Женска соблекувални и тоалет во склоп на училишната сала | 31,86 | Подобрување на условите за работа и престој во училиштето |
| Машка соблекувална и тоалет во склоп на училишната сала | 31,86 | Подобрување на условите за работа и престој во училиштето |
| Службен паркинг | 500 | Подобрување на условите за работа и престој во училиштето |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Р. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образ. | Работно место | Ментор /совет. | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Катерина Банџо | 1986 | М-р по специјална едукација и рехабилитација | VII/A | Специјален едукатор и рехабилитатор | / | 14г 9м |
| 2. | Марина Пазаркоска | 1995 | Психолог | VI/A | Психолог | / | 3г 4м |
| 3. | Габриела Ѓоршева | 1984 | Педагог | VI/A | Педагог | / | 12г 2м |
| 4. | Жаклина Атанасовска | 1969 | Професор по одделенска настава | VI/A | Библиотекар | / | 22г 5м |
| 5. | Филип Петровски | 1981 | Професор по физичко образование | VI/A | Наставник по физичко и здравствено образование | / | 5г |
| 6. | Благица Станковска | 1961 | М-р по образовен менаџмент | VII/A | Одделенски наставник | / | 40г 4м |
| 7. | Ванчо Јовчев | 1973 | Дипломиран музичар | VI/A | Нставник по музичко образовние | / | 24г 3м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Билјана Трајановска | 1975 | М-р менаџер во образование | VII/A | Одделенски наставник | / | 22г 5м |
| 9. | Виолета Стоилевска | 1972 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 26г 9м |
| 10. | Марија Шереметкоска | 1999 | Професор по македонски јазик | VI/A | Наставник по македонски јазик | / | 9м |
| 11. | Даниела Салтирова | 1972 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 24г 6м |
| 12. | Стефани Тоневска | 1996 | Педагог | VI/A | Одделенски наставник | / | 2г 11м |
| 13. | Славица Алексиќ | 1966 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 33г 8м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Катица Стојчевска | 1964 | Професор по македонски јазик | VI/A | Наставник по македонски јазик | / | 32г 5м |
| 15. | Маја Б. Величковска | 1978 | Професор по географија | VI/A | Наставник по географија | / | 18г 9м |
| 16. | Данче Костовска Јакимовска | 1975 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 23г 3м |
| 17. | Тања Метикош | 1963 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | √ | 37г 5м |
| 18. | Јованка Грујовска | 1964 | Одделенски наставник | V/A | Одделенски наставник | / | 34г 3м |
| 19. | Катерина Димовска | 1987 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 12г 4м |
| 20. | Јовица Димески | 1987 | Професор по физичко образование | VI/A | Наставник по физичко и здравствено образование | / | 11г 10м |
| 21. | Лидија Ѓоргиева | 1966 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 26г 5м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Јасмина Ѓоргиева | 1960 | Професор по француски јазик | VI/A | Наставник по француски јазик | / | 38г |
| 23. | Марина Пејковска | 1965 | Електротехничк и инжинер | VI/A | Наставник по информатика | / | 27г 10м |
| 24. | Гордана Павлова | 1962 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 39г 1м |
| 25. | Катерина Лукарова | 1979 | Професор по англиски јазик | VI/A | Наставник по англиски јазик | / | 21г 9м |
| 26. | Лиле Сарваноска | 1976 | М-р по математичко образование | VII/A | Наставник по математика | / | 22г 10м |
| 27. | Марија Николоска Наневска | 1975 | М-р по сликарство | VII/A | Наставник по ликовно образование | / | 21г |
| 28. | Елизабета Ордева | 1965 | Педагог | VI/A | Одделенски наставник | / | 31г 3м |
| 29. | Андријана Недевска | 1992 | Професор по англиски јазик | VI/A | Наставник по англиски јазик | / | 5г 10м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Александра Стојчевска | 1978 | Професор по математика | VI/A | Нставник по физика/математика | / | 19г 9м |
| 31. | Весна Димовска | 1987 | М-р по одделенска настава | VII/A | Одделенски наставник | / | 10г 7м |
| 32. | Роза Јаневска | 1977 | Историчар архивист | VI/A | Наставник по историја | / | 18г |
| 33. | Магдалена Павлеска | 1978 | Професор по историја | VI/A | Наставник по историја | / | 15г 9м |
| 34. | Даниела Торковска | 1982 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 14г 9м |
| 35. | Светлана Пешовска | 1967 | Педагог | VI/A | Одделенски наставник | / | 27г 6м |
| 36. | Весна Трајковска | 1961 | Професор по англиски јазик и книжевност | VI/A | Наставник по англиски јазик | / | 28г 10м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 37. | Билјана Стојановска | 1977 | Професор по математика и физика | VI/A | Наставник по математика | / | 19г 9м |
| 38. | Весна Кочова | 1976 | Професор по англиски јазик и книжевност | VI/A | Наставник по англиски јазик | / | 22г 8м |
| 39. | Билјана Јовчева | 1974 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 26г 2м |
| 40. | Јорданчо Тодосиев | 1978 | Професор по физичко образование | VI/A | Наставник по физичко и здравствено образование | / | 17г 9м |
| 41. | Елизабета Георгиевска | 1976 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 19г 10м |
| 42. | Радица Цветковска Петковска | 1969 | Професор по филозофија | VI/A | Наставник по етика | / | 8г 3м |
| 43. | Анета Митевска | 1978 | Професор по француски јазик и книжевност | VI/A | Наставник по рацуски јазик | / | 11г 8м |
| 44. | Јулија Атанасова | 1986 | Професор по математика и физика | VI/A | Наставник по математика | / | 10г 8м |
| 45. | Елена Томевска | 1984 | Професор по хемија | VI/A | Наставник по хемија | / | 11г 8м |
| 46. | Бојана Мешковска Личева | 1984 | Професор по биологија | VI/A | Наставник по биологија | / | 11г 8м |
| 47. | Елена Малинова | 1984 | Филолог по македонски јазик | VI/A | Наставник по македонски јазик | / | 14гм |
| 48. | Евдокија Димовска | 1961 | Професор по англиски јазик и книжевност | VI/A | Наставник по англиски јазик | / | 31г 2м |
| 49. | Валентина Николовска | 1967 | Класичар | VI/A | Наставник по класична култура | / | 12г 3м |
| 50. | Даниела Ристеска | 1973 | Теолог | VI/A | Наставник по етика на религии | / | 12г 9м |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51. | Ивица Петрушевски | 1985 | Професор по физичко образование | VI/A | Наставник по физичко и здравствено образование | / | 10г 7м |
| 52. | Душанка Китановска | 1979 | Инжинер по биологија | VI/A | Наставник по билогија | / | 12г 5м |
| 53 | Анета Менчова | 1977 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 11г 2м |
| 54 | Весна Димитровска | 1982 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 21г 9м |
| 55 | Вилдана Суљовиќ | 1984 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 5г 11м |
| 56 | Томислав Спасовски | 1980 | Професор по физичко образование | VI/A | Наставник по физичко и здравствено образование | / | 14г 10м |
| 57 | Христина Петровска | 1987 | Професор по одделенска настава | VI/A | Одделенски наставник | / | 7г |
| 58 | Фросина Јанакиевска | 1971 | Инженер технолог | VI/A | Наставник по техничко образование | / | 23г 9м |

### 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образ. | Работно место | Ментор / Совет. | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Адријана Младеновска | 1983 | Педагог м-р по менаџмент на човечки ресурси | VII/A | Директор | / | 9 год |

### 3.3. Податоци за воспитувачите

Во ООУ „Дане Крапчев“, нема ангажирано воспитувач за учебната 2023/24 година. Доколку во текот на учебната година се јави потреба истиот ќе биде ангажиран навремено.

### 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сузана Филиповска | 1964 | Економски техничар | V | Секретар | 14г 10м |
| 2. | Кристина Давидовиќ | 1980 | Дипломиран економист | VI/A | Сметководител | 14г 8м |

### 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образ. | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Јосимовска | 1982 | Преработувач на жито,брашно и шеќер | III | Хигиеничар | 10г 1м |
| 2. | Латинка Милошевска | 1969 | Машинска струкаметалострugар | IV | Хигиеничар | 15г 1м |
| 3. | Љубица Менкова | 1962 | Продавач | IV | Хигиеничар | 17г 7м |
| 4. | Весна Стојаноска | 1974 | Прехранбен техничар | IV | Хигиеничар | 12г 9м |
| 5. | Љубица Наумовска | 1981 | Геолошки техничар | IV | Хигиеничар | 12г 9м |
| 6. | Севда Бошковска | 1968 | Пекар | IV | Хигиеничар | 18г 11м |
| 7. | Павлина Блажевска | 1979 | Трговец | IV | Хигиеничар | 11г 3м |
| 8. | Олгица Лавовска | 1986 | Гимназија | IV | Хигиеничар | 4г 7м |
| 9. | Орце Милошевски | 1968 | Електротехничар | IV | Хаус-мајстор | 19г 9м |
| 10. | Тони Апостоловски | 1971 | Електротехничар | IV | Хаус-мајстор | 16г 3м |
| 11. | Славчо Китановски | 1963 | Основно образование | I | Чувар | 35г 10м |

### 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

ООУ „Дане Крапчев“ Скопје на почетокот од учебната година доставува барање до МОН, за ангажирање на образовен медијатор. Лицето – образовен медијатор го назначува и распоредува МОН во текот на учебната година. Податоците за ангажирање образовен медијатор ќе бидат доставени како анекс на Годишната програма по назначување на истиот од страна на МОН.

## 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 70 | 9 | 58 | / | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 |
| **Број на наставен кадар** | 52 | 6 | 44 | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 |
| **Број на воспитувачи** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 4 | / | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошнотехнички кадар** | 11 | 3 | 7 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошник директор** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето)** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 7 |
| Високо образование | 50 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 11 |
| Основно образование | 1 |

## 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 15 |
| 41-50 | 28 |
| 61 - пензија | 24 |

## 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| I | 4 | 69 | 20 | 23 | 3 | 1 | / | / | 2 | / | 10 | 6 | 4 | / |
| II | 4 | 84 | 38 | 21 | 1 | / | / | / | / | / | 16 | 6 | 1 | / |
| III | 4 | 78 | 29 | 22 | 3 | 4 | / | / | / | / | 8 | 8 | 5 | / |
| IV | 4 | 76 | 23 | 28 | / | 1 | / | / | / | 3 | 9 | 10 | 2 | / |
| V | 4 | 93 | 31 | 28 | 3 | 3 | / | / | / | 0 | 12 | 11 | 5 | / |
| I - V | 20 | 400 | 141 | 122 | 10 | 9 | / | / | 2 | 3 | 55 | 41 | 17 | / |
| VI | 4 | 100 | 38 | 34 | 5 | 4 | / | / | / | 0 | 7 | 12 | / | / |
| VII | 4 | 98 | 34 | 37 | 5 | 5 | / | / | / | 0 | 8 | 7 | / | 2 |
| VIII | 4 | 68 | 29 | 24 | 2 | 0 | / | / | / | 1 | 3 | 6 | 2 | 1 |
| IX | 4 | 68 | 22 | 28 | 3 | 1 | / | / | / | 0 | 6 | 5 | 1 | 2 |
| VI - IX | 16 | 334 | 123 | 120 | 15 | 10 | / | / | / | 1 | 24 | 30 | 3 | 5 |

## 4. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Со правилно материјално-техничко работење на училиштето, се обезбедуваат тековно потребните наставни средства и помагала, библиотечен фонд наменет за учениците и наставниците, смарт табли во секоја училница, лаптоп за секој наставник, осовременување на училниците и училиштето според можностите, современа фискултурна сала и слично. Училиштето е поврзано со интернет за непречено одвивање на ИКТ во наставата и има сопствена facebook и web-страна. Овој тренд продолжува во рамките на финансиските можности.

Важно е да се спомене дека како и секоја учебна година така и во учебната 2023/24 година бесплатните учебници кои ќе ги добијат учениците од страна на МОН ќе бидат распределени на секој ученик поединечно.

Во поглед на техничките услови за работа пред почетокот на новата учебна година во училиштето ќе се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација и на сите простории. Во текот на годината ќе се користат сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства со кои ќе се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување да се подобрат условите за престој во истата.

Училиштето ќе ја продолжи соработката со ресорното Министерство, локалната самоуправа, владини и невладини организации и со родители за понатамошно доопремување и осовременување на истото се во интерес на учениците.

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА

Во училиштето да се создаде средина за учење и престој на учениците со еднакви можности за сите. Учениците да се потикнуваат и да се совладуваат наставните содржини во согласност со нивните интереси и можности како и со постојана меѓусебна соработка на учениците, наставниците и родителите како активни субјекти во воспитно-образовниот процес. Создаваме една интегрирана, осмислена програма во која децата можат да истражуваат и да експериментираат преку лично искуство. На децата им даваме можност да ги следат своите интереси и размислувања, да прават избор и да преземат одговорност за сопственото учење. Обезбедуваме безбедна средина во која постои меѓусебно почитување, образованието е партнерство помеѓу родителите, наставниците и учениците. Наставниците, родителите и целата училишна заедница се вклучени во препознавањето на нашата мисија.

**МИСИЈА**

***Патот до успехот е секогаш во изградба, секогаш и од секого можеш да научиш нешто ново.***

## ВИЗИЈА

***Учениците да ги интегрираме Инклузивно, Интеркултурно и Мултикултурно.***

### ⇨ *Начин на спроведување на мисијата и остварување на визијата:*

Охрабруваме љубопитност, имагинација и креативност;

Ги почитуваме и ги поттикнуваме да се спознаат себе си, сопствените можности, умеења, интереси, стил на учење и култура;

Екстерни и интерни предавања и работилници наменети за ученици, наставници и родители;

Со развивање мотивација за учество во проекти кои негуваат соживот меѓу различните националности кои вклучуваат инклузивна и мултиетничка соработка и толеранција;

Веруваме во секој поединец, свесни сме дека секое дете е посебно, затоа со децата градиме позитивни односи;

Проширување на соработката со меѓународни образовни институции;

Поголема соработка на училиштето со училишта и организации од нашата држава, од соседните држави како и соработка со држави од ЕУ со цел да се јакне квалитетот на наставата и усовршување на наставниците и учениците;

Усовршување и едукација на наставниот кадар, поттикнување на наставниците да се вклучат во Етвининг и Еразмус проекти;

Збратимување и соработка со училишта од странство;

Соработка со меѓународни институции во државата -Учество на меѓународни обуки;

Учество на меѓународни конкурси, натпревари;

Реализација на Етвининг и Еразмус проекти;

Развиваме динамична, предизвикувачка средина за учење во која децата можат да го развијат нивниот целосен потенцијал - социјално, емотивно, креативно, интелектуално и физички;

Кај учениците развиваме разбирање за сличностите и разликите кај луѓето и способноста да се донесат општествено одговорни одлуки;

Охрабруваме флексибилност, снаодливост, критичко размислување и комуникација;

Ја почитуваме искреноста, сочувството, храброста и различноста;

Промовираме континуиран професионален и личен развој на нашите вработени;

# 6. “LESSONS LEARNED” – Веќе научено/стекнати искуства

Во училиштето навремено и точно се изработуваат сите видови планирања, правилно и редовно се води педагошката евиденција и документација, се користат наставни форми и методи за работа на учениците, се користат различни форми на интеракција со учениците во согласност со наставниот план и програма како и со интересите и можностите на учениците. Нашиот квалитетен образовен процес се темели на убедувањето дека грижата, учењето и негата формираат една образовна целина која нѐ поттикнува добросостојбата и ангажираноста на секое дете да го сметаме како предуслов за еднакво учење и постигање. Тргнувајќи од тезата дека учењето се случува на разни начини и во разни ситуации наша крајна цел е секогаш да поставуваме високи, но сепак реални очекувања за секое дете, а преку тоа поттикнуваме љубопитност, истражувачки вештини, критичко мислење и соработка, така што секое дете во нашето училиште може да развие афинитети и вештини за доживотно учење.

Се користи ИКТ, примена на различни методи и форми на работа при обработката на наставните содрини во согласност наставните програми, примена на критериумите и стандардите за оценување на учениците пропишани од БРО, диференцирани цели во наставата за учениците со посебни образовни потреби, промоција на изработките на учениците во училиштето и во медиумите, добра соработка со другите училишта на општинско, регионално и на државно ниво.

Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигањата на учениците. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, родителите навремено се известуваат за постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор, се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, со ПОП и надарените ученици.

Се следат и применуваат промените на наставниот план и програма, новите ставки во Законот за основно образование, новите стекнати знаења се имплементираат во наставниот и воннаставниот процес на училиштето. Од анализата на постигнатиот успех и поведение во минатата учебна година дојдовме до заклучок дека постигнатиот успех е солиден и преовладуваат ученици со примерно поведение.

Се почитуваат законските правила и прописи, се води сметка за безбедноста во училиштето, исто така се почитуваат и кодексите на однесување на на учениците, наставниците и родителите.

⇨ **Се спроведоа и реализираа низа проекти:**

Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“;

Проект „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди Инклудиран;
Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем;
Еразмус плус проект- Интернет безбедност;
Градиме заедничка иднина-градиме мостови;
„ПХВ“ проект на Црвен крст;

⇨ **Од поставените стратешки цели од минатата година реализирани се следните:**

Поголемо вклучување на училиштето во меѓународни рамки;

Размена на искуства и соработка со домашни и странски образовни институции;

Стручно усовршување на наставници во соработка со меѓународни образовни институции;

Промовирање на интеркултурализам и сензибилизација на учениците за прифаќање на други култури, развивање на критичкото мислење;

Поголема вклученост на учениците во воннаставни активности без разлика на пол, национална припадност и способности;

Поголемо ниво на самооценување и самовреднување на учениците;

Поголема примена на различни стилови на учење во процесот на поучување;

Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со посебни потреби;

Подобрување на комуникацијата и тимската работа меѓу наставниот кадар;

Поголемо вклучување на родителите во активности на ниво на училиште;

Успехот на нашата досегашна работа, кој и во иднина треба да продолжи, е резултат првенствено на чувството за емпатија кое постојано го поттикнуваме кај учениците, грижата за другите, почитувањето на разликите, како и изразувањето и аргументирање на своите ставови, правењето добар избор, донесување одлуки и постигнување согласност во групата. Постојаната вклученост на учениците и наставниците во проектни активности кои се залагаат за почитување на детските права и кои ги храбрат учениците гласно да говорат за личните потреби во општеството нè ставаат на пиедесталот меѓу сличните на нас. Токму во таа насока во нашето училиште работат и ученичкиот парламент и училишен правобранител. Успешната и квалитативна работа се темели на сеопфатна компаративна анализа за постигањата на учениците, примената на ученичкото досие, грижа и обезбедување услови за вклучување на учениците со хронични медицински состојби и посебни потреби во редовната настава и воннаставните активности како и работата на специјален едукатор и

рехабилитатор со истите овие ученици. Позитивен ефект во планирањето и реализирањето на наставата придонесува претходно пропишаната и утврдена процедура за поддршка и следење на планирањето и реализирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници и процедурата за примена на стекнатите знаења од обуки во наставата, како и примената на досегашната практика за размена на искуства во рамките на стручните активи. Во успешното остварување на предвидените активности голем придонес дава успешната соработка со родителите и училишниот одбор. Важна улога во следењето на предвидените активности и нивно реализирање голем придонес има и работатат на тимовите составени од претставници од наставниот кадар и стручната служба. Воспоставениот систем на работа ќе продолжи со истиот интензитет како и досега вклучувајќи дополнителни активности преку примена на современи методи на работа, примена на интерактивни табли, поголема имплементација на ИКТ програмата, учество во проекти преку кои ќе се развива еколошката свест кај учениците со имплементирање на ЕКО- проектот, но особено ќе се стави акцент на соработката на училиштето со меѓународни образовни институции, преку учество во Етвининг и Ерзмус проекти преку кој ќе се развива инклузивност, мултикултурализмот и интеркултуразлизмот, ќе се работи на унапредување на работата на училишната библиотека и медијатека, медиумска покриеност на активностите во училиштето со примена на критичкото мислење како моќна алатка која ќе помогне во решавање на училишните задачи но и животните предизвици. Нашите стратегии ќе се одвиваат во насока на развивање вештини кои се неопходни за децата да станат одговорни членови на заедницата.

# 7. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Од спроведената Самоевалуација, Развојна програма и Годишниот извештај за работа на училиштето, произлегуваат следните приоритети за новата учебна 2023/2024 година кои што се во тесна врска со потребите и интересите на учениците, родителите и вработените во склад со можностите на училиштето:

| **Приоритетно подрачје** | **Училишна клима и односи во училиштето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1.** Проширување на соработката со меѓународни образовни институции<br>Развојна цел 1.1. Поголема соработка на училиштето со училишта и организации од нашата држава, од држави соседи на нашата држава, од држави од ЕУ со цел да се јакне квалитетот на наставата и усовршување на наставниците и учениците. | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br>Усовршување и едукација на наставниот кадар, поттикнување на наставниците да се вклучат во етвининг и еразмус проекти. | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење** |
| Запознавање на наставниците со видови и начини на меѓународна соработка ; | Појавен интерес на наставниците за вклучување во активности за меѓународна соработка | Наставници кои веќе се вклучени во проекти | Прво полугодие 2023 /24 | Компјутер, прожектор, презентација | Тим за професионален развој |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со Еразмус програма; | Обучени наставници | Обучувач од овластен провајдер | 2023/24 | Етвининг платформа и други социјални мрежи | Тим за професионален развој |
| Релизација на етвининг проекти; | Реализирани етвининг проекти | Наставници | 2023-2026 | Етвининг платформа | Тим за професионален развој |
| Апликација за стекнување ознака за етвининг училиште; | Стекнување со ознака за Етвининг училиште | Наставници | 2026 | Етвининг платформа | Тим за професионален развој |
| Релизација на еразмус проекти ; | Отпочнати еразмус проекти (најмалку 3 проекти) | Наставници | 2023-2026 | Зависно од потребите на проектите | Тим за професионален развој<br><br>Координатори на еразмус проекти |
| **Конкретна цел 1.1.2. Соработка со училишта од државата** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обновување на соработката со збратименото училиште „Климент Охридски“ од Охрид; | Обновена соработка<br><br>Заеднички активности | Директор<br>Наставници | 2023-2024 | Зависно од планираните активности; | Тим за професионален развој<br><br>Тим за организација на јавна и културна дејност; |
| Соработка со други училишта; | Потпишан меморандум за соработка<br><br>Реализирани заеднички активности | Директор<br>Наставници | 2022-2026 | Зависно од планираните активности ; | Тим за професионален развој<br><br>Тим за афирмација на училиштето<br><br>Тим за организација на јавна и културна дејност; |
| **Конкретна цел 1.1.3 Соработка со меѓународни образовни институции од државата и странство** | | | | | |

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење** |
|---|---|---|---|---|---|
| Збратимување и соработка со училишта од странство | Остварена соработка | Вработени во училиштето | 2023 - 2026 | Зависно од планираните активности | Тим за афирмација на училиштето<br><br>Тим за организација на јавна и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | културна дејност; |
| Соработка со меѓународни институции во државата | Зголемена соработка | Вработени во училиштето | 2023 - 2026 | Зависно од планираните активности | Тим за афирмација на училиштето<br><br>Тим за организација на јавна и културна дејност; |
| Учество на меѓународни обуки | Квалитетот на работата на наставниот кадар | Вработени во училиштето | 2023 - 2026 | Зависно од планираните активности | Тим за професионален развој |
| **Конкретна 1.1 учество меѓународ** | **.4 Доследна примена на процедурата со талентирани и надарени ученици и конкурси, натпревари** | | | | **со цел зголемено** |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење** |
| Изготвување планови за работа со талентирани и | Изготвени планови | Наставници | 2023-2024 | Стручна литература | Тим за работа со надарени и талентирани ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| надарени ученици | | | | | |
| Работа со талентирани и надарени ученици | Евиденција за реализирани активности од работа со талентирани и надарени ученици | Наставници | 2023- 2026 | Зависно од планираните активности | Тим за работа со надарени и талентирани ученици |
| Учество на талентирани и надарени ученици на меѓународни конкурси, натпревари | Зголемено учество на талентирани и надарени ученици | Наставници талентирани надарени ученици | 2023-2026 | Зависно од планираните активности | Тим за работа со надарени и талентирани ученици<br><br>Одговорни наставници за реализација на натпреаври |

| **Акциски план** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Учебна 2023/2024 година** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | | | | | | | | | | | **Следење** | | | | | | |
| | | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спров. (ресурси)** | **Инст.** | **Очекувани резултати** | **Одг. лице** | **x** | **Потбуџ** |
| Усовршување и едукација на наставниот кадар, поттикнување на наставниците да се вклучат во етвининг и еразмус проекти. | Запознавање на наставниците со видови и начини на меѓународна соработка | | | | | | | | | | | | | Директор Наставници Стручна служба Стручни лица | Интерни и екстерни обуки; Работилници Консултативни разговори; Практична примери и вежби; | Соодветна литература; Записници извештаи од средби; | Професионално усовршување на наставниот кадар; Оспособување на наставниот кадар за работа во етвининг и еразмус проекти; | Директор Наставници Стручна служба Тим за професионален развој; | | |
| | Релизација на етвининг проекти | | | | | | | | | | | | | Директор Наставници | План за проект и апликација; Спроведување на проектот; | Потребна документ.; PC; Проект; Извештаи од активности; | Оспособување на наставниот кадар за работа во етвининг и еразмус проекти; | Директор Наставници Тим за професионален развој; | | |
| | Апликација за стекнување ознака за етвининг училиште | | | | | | | | | | | | | Наставници | Активности за исполнување на сите услови; | | | Наставници Тим за професионален развој; | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | Извештаи од средби; | | | | | |
| | Релизација на еразмус проекти | | | | | | | | | | | | Директор Наставници | Изработка на апликација за еразмус проекти; | Потребна документ.;<br>РС; | | Директор Наставници Тим за професион | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | Аплицирање и обезбедување на потребна документација; | Проект;<br>Извештаи од активности;<br>Извештаи од средби; | | ален развој; | | | |
| Соработка со меѓународни образовни институции од државата и странство | Соработка со меѓународни институции во државата | | | | | | | | | | | | Наставници Директор Ученици | Реализација на средби за почеток на соработка; | Потребна документ.;<br>РС;<br>Извештаи од средби;<br>Извештаи од активности; | Афирмација и напредок на училиштето | Наставници Директор Ученици | | | |
| | Учество на меѓународни обуки | | | | | | | | | | | | Директор Наставници | | | | Директор Наставници | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доследна примена на процедурата со талентирани и надарени ученици со цел зголемено учество на меѓународни конкурси, натпревари | Изготвување планови за работа со талентирани и надарени ученици | | | | | | | | | | | | | Директор Наставници Стручна служба Стручни лица | Детектирање на надарени и талентирани ученици; Континуирана додатна работа во согласност со нивните интереси; Обебзедување на потребни средства и услови за напредок; Учество на меѓународни конкурси и натпревари; | Резултати од натпревари; Извештаи; Записници; Извештаи од додатна настава; Соодветна литература; | Напредување и потигнување на унадарените и талентираните ученици во согласност со нивните интереси; | Директор Наставници Стручна служба | | |
| | Работа со талентирани и надарени ученици | | | | | | | | | | | | | Наставници Стручна служба | | | | Наставници Стручна служба | | |
| | Учество на талентирани и надарени ученици на меѓународни конкурси, натпревари | | | | | | | | | | | | | Наставници Стручна служба Ученици | | | | Наставници Стручна служба Ученици | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Соработка со училишта од државата | Обновување на соработката со збратименото училиште „Климент Охридски“ од Охрид | | | | | | | | | | | | | Директор Наставници Ученици | Реализација на средби за почеток на соработка; | Потребни документи Извештаи од активности; | Афирмација и напредок на училиштето | Директор Наставници Ученици | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка со други училишта | | | | | | | | | | | | Директор Наставници Ученици | | Извештаи од средби; | | Директор Наставници Ученици | | |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

| Критериум за успех | Индикатори за успешност | Инструменти | Повратна информација | Одговорни за следење |
|---|---|---|---|---|
| Усовршување и едукација на наставниот кадар;<br><br>Поттикнување на наставниците да се вклучат во етвининг и еразмус проекти; | Професионален развој на наставен кадар;<br><br>Оспособеност на наставниот кадар за работа на еразмус проекти;<br><br>Оспособеност на наставен кадар за работа во етвининг; | Соодветна литература;<br><br>Записници извештаи од средби;<br><br>Потребна документација;<br><br>РС;<br><br>Проект;<br><br>Извештаи од активности;<br><br>Извештаи од средби; | Подобрување на нивото на работат на училиштето и квалитетот на наставата. | Директор;<br><br>Наставници;<br><br>Стручна служба;<br><br>Стручни лица;<br><br>Тим за професионален развој; |
| Соработка со меѓународни образовни институции од државата и странство; | Поголема афирмација на училиштето; | Потребна докумен.;<br><br>РС;<br><br>Извештаи од средби;<br><br>Извештаи од активности; | Обезебдување на подобри услови за совладување на наставните содржини и проверка на знаењата на учениците. | Наставници;<br><br>Директор; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Доследна примена на процедурата со талентирани и надарени ученици со цел зголемено учество на меѓународни конкурси, натпревари; | Правилно детектирање на надарени и талентирани ученици;<br><br>Постигнување на поголем успех на учениците и училиштето во согласност со нивните интереси; | Резултати од натпревари;<br><br>Извештаи;<br><br>Записници;<br><br>Извештаи од додатна настава;<br><br>Соодветна литература; | Зајакнување на компетенциите на наставниците за работа со ученици со одредени потешкотии; | Директор;<br><br>Наставници;<br><br>Стручна служба; |
| Соработка со училишта од државата; | Поголема афирмација на училиштето; | Резултати од натпревари;<br><br>Извештаи;<br><br>Записници;<br><br>Извештаи од додатна настава;<br><br>Соодветна литература; | Професионално напредување на наставниците во согласност со нивните потреби и современи трендови и иновации во реализирање на наставниот процес; | Директор;<br><br>Наставници;<br><br>Ученици; |

⇨ ***Одговорни наставници:***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Катерина Банџо-специјален едукатор и рехабилитатор**
3. **Габриела Ѓоршева- педагог**
4. **Елизабета Ордева- одделенски наставник**

# 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 8.1. Календар за организација и работа на основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и наука и го објавува во Службен весник (www.slvesnik.com.mk)

**Календар за работа на училиштето**

**Член 1**

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовната дејност и ученички одмори за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година. Наставната година започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

**Член 3**

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година. Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

**Член 4**

Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. Пролетниот распуст започнува на 29 април 2024 година и завршува на 6 мај 2024 година. Летниот одмор започнува на 18 јуни 2024 година и завршувана 31 август 2024 година.

**Член 5**

Основните училишта во времето од 18 јуни до 1 јули 2024 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 21 август 2024 година организираат подготвителна настава,

консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

**Член 6**

Воспитно-образовната работа со учениците се организира во текот на целата работна недела.

**Член 7**

Во текот на наставната година во основните училишта се остваруваат 180 наставни денови.

**Член 8**

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

**Член 9**

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзиии Денот на дрвото, Денот на еколошката акција на младите во Република Северна Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

## Календар за работа на ООУ „Дане Крапчев“ – Скопје за учебна 2023/24 година

| СЕДМИЦА | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023-2024 | I полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Работн денови | Септември | | | | | Октомври | | | | | Ноември | | | | | Декември | | | | | |
| Понеделник | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Вторник | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Среда | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| Четврток | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| Петок | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |
| Вкупно денови | 21 | | | | | 22 | | | | | 22 | | | | | 21 | | | | | 86 |

| СЕДМИЦА | 21. | 22. | 23. | 24. | 25. | 26. | 27. | 28. | 29. | 30. | 31. | 32. | 33. | 34. | 35. | 36. | 37. | 38 | 39. | 40. | 41. | 42. | 43. | 44. | 45. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023-2024 | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Работни денови | Јануари | | | Февруари | | | | | Март | | | | | Април | | | | Мај | | | | | Јуни | | | ВК |
| Понеделник | 22 | 29 | | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 20 |
| Вторник | 23 | 30 | | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | | 20 |
| Среда | 24 | 31 | | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | | 19 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Четврток** | **25** | | | **1** | **8** | **15** | **22** | **29** | | **7** | **14** | **21** | **28** | **4** | **11** | **18** | **25** | | | **9** | **16** | **23** | **30** | **6** | **13** | | **20** |
| **Петок** | **26** | | | **2** | **9** | **16** | **23** | | **1** | **8** | **15** | **22** | **29** | **5** | **1** | **19** | **26** | | | **10** | **17** | **24** | **31** | **7** | **14** | | **19** |
| **Вкупно денови** | **8** | | | **21** | | | | | **21** | | | | | **19** | | | | | | **18** | | | | **11** | | | **98** |

## Неработни денови за учебна 2023/24 година

### ➢ Државни празници

- 8 Септември (петок), Ден на независноста
- 11 Октомври (среда), Ден на народното востание
- 23 октомври (понеделник), Ден на македонската револуционерна борба
- 8 декември (петок), „Св. Климент Охридски”
- 10 април (среда), Рамазан Бајрам - прв ден
- 1 Мај (среда) Ден на трудот
- 6 мај (понеделник), Втор ден Велигден
- 24 Мај (петок), “Св Кирил и Методиј”

### ➢ Неработни денови за граѓани од православна вероисповед

- 6-ти јануари- Бадник распуст, (петок);
- 8-ми јануари - Божик, втор ден (понеделник)
- 19- ти јануари- Богојавление/Водици, (четврток);
- 3-ти Мај- Велики петок,(петок);

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часови

⇨ **Класни раководители**:

Ванчо Јовчев- 6/1 одделение

Анета Митевска - 6/2 одделение

Билјана Стојановска- 6/3 одделение

Бојана Личева- 6/4 одделение

Маја Б.Величковска - 7/1 одделение

Катерина Лукарова - 7/2 одделение

Ивица Петрушевски - 7/3 одделение

Елена Малинова - 7/4 одделение

Лиле Сарваноска - 8/1 одделение

Јовица Димески - 8/2 одделение

Магдалена Павлеска - 8/3 одделение

Катица Стојчевска - 8/4 одделение

Марина Пејковска - 9/1 одделение

Роза Јаневска - 9/2 одделение

Весна Кочова - 9/3 одделение

Елена Томевска - 9/4 одделение

⇨ **Поделба на часови**

**Одделенска настава**

| Р. Бр. | Име и презиме | Предмет | Одделение во кое предава | Вкупен бр. на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Елизабета Георгиевска | Одделенска настава | I-1 | 21 |
| 2. | Тања Метикош | Одделенска настава | I-2 | 21 |
| 3. | Благица Станковска | Одделенска настава | I-3 | 21 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Гордана Павлова | Одделенска настава | I-4 | 21 |
| 5. | Даниела Торковска | Одделенска настава | II-1 | 22 |
| 6. | Елизабета Ордева | Одделенска настава | II-2 | 22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Виолета Стоилевска | Одделенска настава | **II-3** | 22 |
| 8. | Стефани Тоневска | Одделенска настава | **II-4** | 22 |
| 9. | Билјана Трајановска | Одделенска настава | **III-1** | 22 |
| 10. | Даниела Салтирова | Одделенска настава | **III-2** | 22 |
| 11. | Вилдана Суљовиќ | Одделенска настава | **III-3** | 22 |
| 12. | Светланка Пешовска | Одделенска настава | **III-4** | 22 |
| 13. | Данче Костовка Јакимовска | Одделенска настава | **IV-1** | 25 |
| 14. | Лидија Ѓорѓиева | Одделенска настава | **IV-2** | 25 |
| 15. | Анета Менчова | Одделенска настава | **IV-3** | 25 |
| 16. | Весна Димитровска | Одделенска настава | **IV-4** | 25 |
| 17. | Катерина Димовска | Одделенска настава | **V-1** | 26 |
| 18. | Билјана Јовчева | Одделенска настава | **V-2** | 26 |
| 19. | Христина Петровска | Одделенска настава | **V-3** | 26 |
| 20. | Весна Димовска | Одделенска настава | **V-4** | 26 |
| 21. | Весна Трајковска | Англиски јазик | **II**$_{1,2,3,4}$ **VI**$_{1,2}$ **I**$_{2,3,\ 4}$ | 20 |
| 22. | Евдокија Димоска | Англиски јазик | **III**$_{1,2,3}$ **V**$_{3,4}$ **I**$_{2}$ | 14/6-20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Андријана Недевска | Англиски јазик | **IV**1,2,3,4 **V**1,2 **III** 4 | 20 |
| 24. | Јованка Грујовска | Продолжен престој | **I-III** | 20 |
| 25. | Славица Алексиќ | Продолжен престој | **I-III** | 20 |

**Предметна настава**

| **Р.Бр** | **Име и презиме** | **Предмет** | **Одделение во кое предава** | **Вкупен бр. на часови** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Анета Митевска | Француски јазик<br>Вештини за живеење EMIS/ESARU | **VIII** 1,2,3,4 **IX** 1,2 **VIII** 2 | 14+6+1=21 |
| 2. | Билјана Стојановска | Математика | **VIII** 1 **IX** 1,2,3,4 | 20+1=21 |
| 3. | Ванчо Јовчев | Музичко образование<br>Хор<br>Оркестар | **VI, VII,VIII,IX**<br>**3**<br>**3** | 22+1=23 |
| 4. | Бојана М.Личева | Билогија Природни науки | **IX** 1,2,3,4 **V** 1,2,3,4 **VI** 2,3 | 22+1=22 |
| 5. | Маја Б.Величковска | Географија | **VII-**1,2,3,4 **VIII** 1,2,3,4 **IX** 1,2 **VI** 1,2,3 | 23+1=24 |
| 6. | Катерина Лукарова | Англиски јазик | **VII** 1,2,3,4 **IX** 1,2 **VI** 3 | **20+1=21** |
| 7. | Ивица Петрушевски | Физчко и здравствено образование | **VI** 1,2,3,4 **VI** 1,2,3 | 21+1=22 |
| 8. | Елена Малинова | Македонски јазик | **VII** 2,3,4 **VIII** 1,2 | **20+1=21** |
| **9.** | Лиле Сарваноска | Математика | VI 2,3,4 VIII 2,4 | 23+1=24 |
| 10. | Јовица Димески | Физчко и здравствено образование | **IV** 1,2,3,4 **V** 4 **IX** 3,4 | 21 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Магдалена Павлеска | Историја<br>Граѓанско образование | **VII** 3,4<br>**IX** 1,2,3,4<br>**VIII** 1,2,3,4<br>**IX** 1,2,3,4 | 20 |
| 12. | Катица Стојчевска | Македонски јазик | **VIII** 3,4<br>**IX** 1,2,3 | **20+1=21** |
| 13. | Марина Пејковска | Информатика<br>Проект информатика<br>Техничко образование и информатика | **VI** 1,2,3,4<br>**IX** 1,2,3,4<br>**VI** 1,2,3,4 | 20 |
| 14. | Роза Јаневска | Историја<br>Граѓанско образование | **VIII** 1,2,3,4<br>**VII** 1,2 | 20 |
| 15. | Весна Кочова | Англиски јазик | **VIII** 1,2,3,4<br>**IX** 3,4 | 20+1=21 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **VI** 4 | |
| 16. | Елена Томевска | Хемија Иновации | **VIII** 1,2,3,4<br>**IX** 1,2,3,4<br>**IX** 4 | 20 |
| 17. | Марија Шеремeтковска | Македонски јазик | **VI** 1,2,3,4 **VII** 1 | 20 |
| 18. | Александра Стојчевска | Физика Математика | **VIII** 1,2,3,4<br>**IX** 1,2,3,4<br>**VIII** 1 | 20 |
| 19. | Јорданчо Тодосиев | Физчко и здравствено образование | **VIII** 1,2,3,4<br>**IX** 1,2,3,4 | 21 |
| 20. | Јулија Атанасова | Математика | **VII** 1,2,3,4 **VI** 1 | 21 |
| 21. | Јасмина Ѓорѓиева | Француски јазик | **VI** 1,2,3,4<br>**VII** 1,2,3,4<br>**IX** 1,2 | 20 |
| 22. | Андријана Недевска | Англиски јазик | **IV**1,2,3,4<br>**V**1,2<br>**III** 4 | 20 |
| 23. | Марија Н.Наневска | Ликовно образование | **VI,VII,VIII,IX**<br>**VII** 1,2, | 20/2 |
| 24. | Филип Петровски | Физчко и здравствено образование | **II** 1,2,3,4<br>**V** 1,2,3 | 21 |
| 25. | Томислав Спасовски | Физчко и здравствено образование | **III** 1,2,3,4 | 12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26. | Душанка Китановска | Биологија Природни науки | **VII** 1,2,3,4 **VIII** 1,2,3,4 **VI** 1,2 | 22 |
| 27. | Валентина Николовска | Класична култура во европската цивилизација | **VI** 1,2,3,4**,** | 4 |
| 28. | Даниела Ристеска | Запознавање на религиите | **VI** 1,2,3,4 | 4 |
| 29. | Радица Ц.Петковска | Етика Вештини за живеење | **VII** 1,2,3,4 **VIII**1,3 | 8 |
| 30. | Милена Манчиќ Пауновска | Македонски јазик | **IX** 4 | 4 |
| 31. | Фросина Јанакиевска | Техничко образование и информатика Вештини на живеење | **V** 1,2,3,4 **VIII** 4 | 10/4/4 18 |
| 32. | Стевче Здравковски | Географија Истражување на родниот крај | **VI** 4 **VII** 2,4 | **5** |
| 33. | Огнен Симиќ | Географија | **IX** 3,4 | **4** |

**8.3. Работа во смени**

Работното време на училиштето започнува во 06:00 часот и трае до 21:00 часот. За реализација на наставните денови училиштето ќе работи во две смени, наставните часови се со времетраење од 40 минути. Наставата во прва смена ќе се одвива од 07.30 часот до 13.35 часот додека во втора смена од 12.15 часот до 17.35 часот. Работното време за администрација и стручната служба започнува во 07.30 часот до 15.30 часот, а за техничкиот персонал од 06.00 часот до 21.00 часот.

Распоред во смени даден во **Прилог 13.**

**8.4. Јазик на кој се изведува наставата**

ООУ „Дане Крапчев“ – Скопје, е еднојазично училиште и наставата се изведува на македонски јазик.

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 36 | / | / | / | / |
| **Број на** | 734 | / | / | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ученици** | | | | | |
| **Број на наставници** | 54 | / | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација. Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот, односно старателот.

По претходно добиена согласност од Министерството во ООУ „Дане Крапчев“- Скопје се организира продолжен престој за учениците од прво до трето одделение може да организира продолжен престој со учениците од иста паралелка, од исто одделение или од различни одделенија. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот/старателот. За време на продолжениот престој вклучени се ученици од различни паралелки и одделенија и истите учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со Годишната програма за работа на училиштето исогласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија, утврдени од министерот, на предлог на Бирото.

**I одделение**

| Реден број | Ден | Наставници |
|---|---|---|
| **1** | Понеделник | Елизабета Ѓеоргиевска |
| **2** | Вторник | Тања Метикош |
| **3** | Среда | Благица Станковска |
| **4** | Четврток | Гордана Павлова |
| **5** | Петок | Андријана Недевска |

**II одделение**

| Реден број | Ден | Наставници |
|---|---|---|
| **1** | Понеделник | Даниела Торковска |
| **2** | Вторник | Елизабета Ордева |
| **3** | Среда | Виолета Стоилевска |
| **4** | Четврток | Стефани Тоневска |
| **5** | Петок | Душанка Китановска |

**III одделение**

| Реден број | Ден | Наставници |
|---|---|---|
| **1** | Понеделник | Билјана Трајановска |
| **2** | Вторник | Даниела Салтирова |
| **3** | Среда | Вилдана Суљовиќ |
| **4** | Четврток | Светланка Пешовска |
| **5** | Петок | Фросина Јанакиевска |

# Активности

**Проширена програма за заштита и прифаќање пред и по часовите за редовна настава во учебната 2023/24 година**

| Ред. Бр. | Цели | Содржини и активности | Учесници | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **1** | ❖ Учениците да се запознаат со наставникот кој го води дневниот престој и учениците од другите одделенија;<br>❖ Да се запознаат со училницата каде ќе престојуваат, мебелот во неа, дидактичкиот материјал, игровно актив-ните катчиња и дворот; ❖ Учениците да се социјализираат во воспитно–образовната група;<br>❖ Да се развијат културно-хигиенски навики; | **УЧИЛИШТЕТО МОЈОТ ВТОР ДОМ**<br>- Прифаќање на учениците иформирање на групите; - Меѓусебно запознавање; -Запознавање со училницата/занималната Каде престојуваат децата, - Запознавање со мебелот и дидактичкиот материјал;<br>- Запознавање иименување наприорот за работа<br>- Запознавање со игровноактивникатчиња; - Одржување хигиена на приборот,лична и општа хигиена воучилницата;<br>- Запознавање соучилишниот двор; | **Ученици I, II и IIIодд.** | **I и II недела Септември** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2** | ❖ Учениците да се навикнуваат загрупна работа како за учење и пишување така и за играње со играчки;<br>❖ Самостоен интерес кон работниот материјал и развивање на работни навики; | - Изработка на дополнителни задолженија;<br>- Воведување во музичките игри иактивности;<br>- Воведување во ликовното изразување (црта, бои, слика); | **Ученици I, II и III одд.** | **III и IVнедела Септември** |
| | ❖ Воведување во раб. активности;<br>❖ Негување на одговорност во | **ЗЛАТНА ЕСЕН**<br>- Метереолошки промени и појави; | **Ученици** | **Октомври** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3** | ❖ извршувањето на активностите;<br>❖ Собирање на природен материјал од природата;<br>❖ Поттикнување на учениците за<br>❖ самостојно опишување и раскажување;<br>❖ Поттикнување на интерес за<br>❖ сликовници, детски списанија идруг печатен материјал;<br>❖ Класифицирање на опредеен<br>❖ дидактички и природен материјал;<br>❖ Самостојни творења во областа наликовното воспитување; ❖ Учениците слободно да пеат;<br>❖ Да развијат движења на музика;<br>❖ Слободно трчање, одење со брзо и бавно темпо;<br>❖ Развивање навики за вежбање; ❖Учениците да совладаат одредени информации (редица по еден, по двајца; колона по еден, по два); ❖ Вежби за развивање на основни | - Боите и мирисите на есента; - Опишување и именување на овошни и зеленчукови плодови; - Цртање, боење, сечење со Ножичи (есенски плодови);<br>- Истакнување во училницата;<br>- Подготвување на зимница;<br>- Разговарање со учениците во врска со активностите кои ги извршуваме во есен;<br>- Како се подготвуваме за зима; - Преселни птици (именување, цртање, боење,сечење со ножичи иистакнување во училницата); - Шумски животни (именување, цртање, боење, сечење со ножички и истакнување во училницата); - Истражувачки активности настанување дожд,магла,слана;<br>- Календар на времето (сонце, дожд, ветар, магла,слана); - Разговараме, опишуваме, рецитираме и раскажуваме за есента; - Пееме и играме (пеење песни за есента);<br>- Подвижни игри и прошетки; | **I, II и IIIодд.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ движења;<br>❖ Развивање на одредена група на<br>❖ мускули на телото(рацете, главата, нозете);<br>❖ Самопочитување, самодоверба; | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖Разговор за развивање на културно–хигиенски навики кај учениците во родителскиот дом; | **СЕМЕЈСТВО**<br>- Мојот дом;<br>- Потесно семејство; | **Ученици** | **Ноември** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | ❖ Да се формираат навики за културно однесување меѓу учениците Во групата, културно однесување кон возрасните и наставниците; ❖ Културно да се поставуваат прашања и внимателно да се чекаат одговорите, да не се прекинуваат другите разговори;<br>❖ Културно да прашуваат и одговараат;<br>❖ Развивање на реална слика за себеи за другарчињата;<br>❖ Формирање на задоволно и среќно дете во групата и во родителскиот дом, дете кое ќе биде исполнето со оптимизам и самодоверба во групата и родителскиот дом;<br>❖ Децата да се навикнуваат сами да мијат раце и да ги одржуваат личните предмети чисти, да учествуваат во уредувањето на домот и поставувањето на масата; ❖ Негување на одговорнст при извршувањето на работата,работните | - Работа на родителите, возрасните професии;<br>- Пошироко семејство-семјно стебло (роднини, пријатели);<br>- Каде живеам;<br>- Адреса на мојот дом<br>- Простории во домот;<br>- Мебел и апарати во домот; - Прослава во мојот дом, поставување на маса;<br>- Соседи;<br>- Цртање, сликање, колаж, обликување;<br>- Макета на куќа;<br>- Истакнување во училницата;<br>- Подвижни игри,одење;<br>- Слушање музика;<br>-Изработка на детски музички инструменти;<br>- Фрлање, туркање, влечење во група, поединечно, со и без правила;<br>- Разговор по слики;<br>- Приказни, стихотворби; | **I, II и IIIодд.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | способности; ❖Да прават разлика на просториите во домот (куќа-стан)<br>❖ Да се запознаат со своето потесно и пошироко семејство, роднини,<br>❖ соседи и пријатели; | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ Да го сакаат, чуваат и да се грижатза својот дом;<br>❖ Да стекнат сознанија за работата народителите во домот и надвор од него, професии; | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5** | ❖ Развивање навики за соблекување, облекување, закопчување, ставање шалче, капа и нараквици<br>❖ Проширување и продлабочување<br>❖ на знаењето за промените во природата и да се насочуваат во откривањето на елементарните законитости<br>❖ Проширување на знаењата за ❖ Листопадни и зимзелени дрвја,нивни карактеристики (зошто се користат дрвјата, да не се оштетуваат, да се садат идр.)<br>❖ Припрема за зима(огрев,зимница)<br>❖ Проширување на знаењата за зимата и нејзините карактерист.<br>❖ Проширување на знаењата за болестите (настинките) и како да се заштитиме и лекуваме ❖Подготовки за Нова година<br>❖ Опишување на Дедо Мраз и | **ПРИРОДНИ И ВРЕМЕНСКИ ПРОМЕНИ И ПОЈАВИ ВО ЗИМА**<br>- Метеоролошки промени во годишно време зима - Ладно време.топла облека - Цртање, боење, сечење со ножичи и истакнување на изработките во училницата (топла облека, листопадни и зимзелени дрвја)<br>- Грејни тела-разговорање<br>- Здраво тело – здрав дух<br>- Како се разболуваме?<br>- Како се лекуваме?<br>-Нашата елка<br>-Украсување на училницата<br>-Изработка на новогодишни украси<br>-Изработка на новогодишна Честитка | **Ученици I, II и III одд.** | **Декември** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | неговата улога<br>❖ Ориентација во времето (години, месеци, недели, денови, часови) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ Негување,збогатување,култивирање на правилен, изразен говор<br>❖ Поттикнување на мисловно- говорно творештво<br>❖ Вежбање на способноста за кажување напамет (меморирање) на песнички и гатанки<br>❖ Збогатување на активниот речник на децата<br>❖ Запознавање со уметничка литература преку сценски изведби и драматизации<br>❖ Да се негува смислата за креативност и естетско проценување ❖Да се развиваат техниките на сликање, моделирање, цртање и колаж техника<br>❖ Да се стимулира слободно моделирање, обликување ❖Присликањето да се развиваат умеењата за внимателност, педантност и самостојност ❖Да се развива вокална техника,<br>❖ Да се побудува и развива чувство за убавото во музиката<br>❖ Да се вежба движењето по такт | -Моите чувства<br>-Припреми за Нова година<br>-Пеење песнички<br>-Дедо Мраз<br>-Дочек на Новата година<br>-Чувство љубов, радост, среќа | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ Хармонично развивање на целокупното тело | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ Продолжување со културно хигиенските навики кај ученицитево училиштето и во домот<br>❖ Развивање навики за соблекување, облекување,закопчување, ставање шалче, капа и нараквици<br>❖ Проширување и продлабочување на знаењето за промените во природата и да се насочуваат во откривањето на елементарните законитости во неа ❖Запознавање со уметничка литература преку сценски изведби и драматизации<br>❖ Да се негува смислата за креативност и естетскопроценување ❖ Да се развиваат техниките на сликање, моделирање, цртање и колаж техника | | | |
| **6** | ❖ Проширување на знаењето за работата на луѓето-возрасните,специфичноста на одредени професии- занимања, занаети<br>❖ Запознавање со разновиден прибор, алати, апарати при работење. | - Запознавање на разни професии<br>- Запознавање на разни занаети | **Ученици I, II и III одд.** | **III – IV недела Јануари** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7** | ❖ Развивање способности самостојно да поставуваат прашања<br>❖ Учениците да ги прошират своите знаења за домашните животни и птици и домашни миленичиња. | **ДОМАШНИ ЖИВОТНИ**<br>- Цртање, боење, сечење со ножички, истакнување во училницата, споредување и опишување.<br>**ДОМАШНИ ПТИЦИ** | **Ученици I, II и III одд.** | **Февруари** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ Учениците да ги прошират своите знаења за дивите животнии птици. ❖Да ги прошират знаењата за тоа каде живеат и со што се хранат животните, нивните карактеристики. ❖Да ги прошират знаењата за користа и штетата која ја имаме од животните ❖ Збогатување, негување,култивирање на правилен изразен говор ❖ Развивање љубов кон литературни творби ❖ Учениците да можат да ги опишуваат животните. ❖Учениците да ги развиваат техниките на сликање,моделирање, цртањето и колаж техниката( пластелин, тесто). ❖ Да се оспособат учениците да движат по такт на музика,односно имитација на животните ❖во движењето и гласовите споредпотребите на учениците. ❖Скокање преку ниски | - Цртање, боење, сечење со ножички, истакнување во училницата, споредување и опишување.<br><br>**ШУМСКИ ЖИВОТНИ**<br><br>- Цртање, боење, сечење со ножички, истакнување во училницата, споредување и опишување.<br><br>- Користа и штетата од сите животни<br><br>Албум од:<br>- домашни животни<br>- домашни птици<br>- шумски животни и птици<br>- животни во зоолошка градина<br>-Разговараме, опишуваме, читаме | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | препреки,во далечина и скокање во цел. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8** | ❖Проширување на знаењата на учениците за просторните ивременските односи, ориентација за време и простор, ден, ноќ, час | **ОРИЕНТАЦИЈА ВО ВРЕМЕ**<br>-Како се поздравуваме<br>- Часовник-мерач на времето<br>- Чичко часовничар<br>- Природна светлина – Сонце | **Ученици I, II и IIIодд.** | **I, II, III недела Март** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ❖ Повторување на детските искуства за промените во околината,утро, пладне,вечер<br>❖ Знаења и претстави поврзани со временските димензии, ден, месец,година и временска терминологија<br>❖ Развивање на самостојни активности во однос на одредено време во текотна: денот, неделата, месецот, годината<br>❖ Артикулација и дискриминација<br>❖ Користење на разни текстови,драматизации, приказни, песни,литературни творби со правилен изрази логичен говор | - Вештачка светлина<br>- Месечина, ноќ, sвезди (патувањена месечината)<br>- Денови во неделата<br>- Месеци во годината<br>- Четири годишни времиња<br>- Природни звуци<br>- Вештачки звуци | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9** | ❖ Проширување на знаењата за метеоролошките промени и појави во пролет(календар на времето)<br>❖ Запознавање со работата на луѓето во цветна,овошна и зеленчукова градина, во полето и во шумата ❖Проширување на знаењата за цветна градина,овошна градина делови на цветот. Запознавање со обележјата на зеленчуковата градина<br>❖ Ливади и инсекти<br>❖ Со пеење песни да се запознаваат со промените во природата<br>❖ Слушање музика од детски музички фестивали и познати музичари и | **ПРИРОДАТА СЕ БУДИ ПРОЛЕТ**<br><br>-Метеоролошки промени и појавиво пролет ( календар на времето) -Работа на луѓето во пролет ( цветна, овошна, зененчуко-ва градина и полето) -Весници на пролетта<br>-Будење на растенијата иживотните<br>- Пролетни мириси и бои | **Ученици I, II и IIIодд.** | **IVнедела Март** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | имитирање на гласовите на птиците и инсектите<br>❖ Продолжување со научноистражувачките активности за бои,цветови,виножито,мирис,вкус,хербариум,инсектариум<br>❖ Продолжување со културнохигиенските навики во училиштето и домот<br>❖ Развивање на чувство за убаво,музика,за игра и ритам<br>❖ Збогатување на детската фантазија со нови идеи за светот околу нас | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10** | ❖ Да се оспособат учениците за побезбедно движење ориентирање на патот и околината<br>❖ Да се навикнат на културно однесување во сообраќајот сообраќајна култура)<br>❖ Да се запознаат со поедини сообраќајни знаци, проширувањена знаењата за семафорот и улицата, просторот, крстосница,коловозот,пешачки премин)<br>❖ Запознавање со сообраќајни правила<br>❖ Проширување на знаењата за автобуска, железничка станица,чекална, билетарница, перон,пристаниште, аеродром | **СООБРАЌАЈ**<br>- Раскрсница<br>- Семафор<br>- Сообраќајно воспитание - Сообраќајни средства(по копно, вода, воздух)<br>- Сообраќајни детски средства<br>- Звучни и светлосни сигнали<br>- Сообраќајни знаци - Детето како учесник во сообраќајот<br>**Еколошки содржини**<br>1. Да се запре загадувањето<br>2. Возилата да се движат на друг погон | **Ученици I, II и IIIодд.** | **Мај** |
| | ❖ Запознавање со работата на возачот-шофер, машиновозач,пилот, капетан<br>❖ Запознавање со звучната и светлосната сигнализација<br>❖ Збогатување на активниот речник со глаголи | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11** | ❖ Проширување на знаењата за<br>❖ годишното време лето, појавите и промените во него (календар навремето)<br>❖ Збогатување на активниот речник со именки, придавки,глаголи ❖ Учениците самостојно да ги именуваат, опишуваат првите летни плодови(цреша, јагода)<br>❖ Самостојно да раскажуваат каде биле на одмор минатите лета и затоа каде планираат да одат наодмор ова лето | **ДОБРЕДОЈДЕ ЛЕТО**<br><br>- Метеоролошки појави и промени во време годишното лето<br>- Првите овошни плодови (цреша и јагода)<br>- Летото во мојот крај-езеро, море<br>- Патувам низ мојот крај (природни убавини) | **Ученици I, II и IIIодд.** | **Јуни** |

## Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одделение

| **Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одд. пред почетокот на часовите. Цел на програмата за продолжен престој на учениците е тие да бидат згрижени пред почетокот на редовната настава. Наставниците планираат активности со цел времето да биде рационално искористено и учениците да се стекнат со некои работни навики.** | | **Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одд. по завршувањето на часовите Цел на програмата за продолжен престој на учениците е тие да бидат згрижени по завршувањето на редовната настава. Наставниците планираат активности со цел времето да биде рационално искористено и учениците да се стекнат со некои работни навики.** | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Време** | **Активност** | **Време** |
| Подготовка на училишниот прибор | Тековно | Средување на наставните помагала употребени на часовите | Тековно |
| Бришење на таблата | | | |
| Подготовка на наставни средства | | Средување на паноата со изработки | |
| Полевање на цвеќињата | | Местење на клупите и столчињата | |
| Средување на папките | | Бришење на таблата | |
| Средување на училишната библиотека | | Средување на училишниот прибор | |
| Средување на катчињата во училницата | | Изработка на креации за во училницата | |
| Средување на ЦД | | Разговор со другарчето за тековните активности | |
| | По потреба | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активност по желба на ученикот (читање, цртање, слушање музика, играње логички или социјални игри..) | | Игри за опуштање/Слушање на музика<br>Разгледување на сликовници и детски романи<br>Цртање по сопствен избор<br>Играње на социјални игри | |

⇨ ***Одговорни наставници:***

1. **Вилдана Суљовиќ-одделенски наставник**
2. **Елизабета Ордева-одделенски наставник**
3. **Лидија Ѓеорѓиева-одделенски наставник**
4. **Катерина Димовска-одделенски наставник**

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во ООУ„Дане Крапчев“- Маџари, Скопје нема комбинирани паралелки.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Р.бр | Странски јазик | Парелелка во која се изучува | Број на ученици кои го изучуваат |
|---|---|---|---|
| 1. | Англиски јазик | од I до IX | 734 |
| 2. | Француски јазик | VI, VII, VIII и IX | 334 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| Р. бр | Одделение | Име и презиме на тандем наставници |
|---|---|---|
| 1. | I/1 | Елизабета Ѓеоргиевска / Нов наставник |
| 2. | I/2 | Тања Метикош / Нов наставник |
| 3. | I/3 | Благица Станковска / Нов наставник |
| 4. | I/4 | Гордана Павлова / Нов наставник |
| 5. | II/1 | Даниела Торковска / Филип Петровски |
| 6. | II/2 | Елизабета Ордева / Филип Петровски |
| 7. | II/3 | Виолета Стоилевска / Филип Петровски |
| 8. | II/4 | Стефани Тоневска / Филип Петровски |
| 9. | III/1 | Билјана Трајановска / Томислав Спасовки |
| 10. | III/2 | Даниела Салтирова / Томислав Спасовки |
| 11. | III/3 | Вилдана Суљовиќ / Томислав Спасовки |
| 12. | III/4 | Светланка Пешовска / Томислав Спасовки |
| 13. | IV/1 | Данче Костовка Јакимовска / Јовица Димовски |
| 14. | IV/2 | Лидија Ѓорѓиева / Јовица Димовски |
| 15. | IV/3 | Анета Менчова / Јовица Димовски |
| 16. | IV/4 | Весна Димитровска /Јовица Димовски |
| 17. | V/1 | Катерина Димовска / Филип Петровски |
| 18. | V/2 | Билјана Јовчева / Филип Петровски |
| 19. | V/3 | Христина Петровска / Филип Петровски |
| 20. | V/4 | Весна Димовска / Филип Петровски |

## 8.9. Изборна настава

Врз основа на Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование издадена од МОН и БРО и Водичот за слободни изборни предмети во основно образование издаден од БРО, ООУ „Дане Крапчев“- Скопје на учениците ќе им биде понудена предлог листа од изборни предмети за учебната 2023/2024 година.

На почетокот од септември 2023 година, учениците од вториот период (IV-VI одд.), со поддршка на родителот/старателот, од листата на слободни изборни предмети треба да ги избере предметите што ќе ги изучува во тековната учебна година (еден за првото и друг за второто полугодие). Изборот го прави на тој начин што заокружува предмети од различни категории.

Доколку нема доволен број заинтересирани ученици за формирање група за предметите кои се избрани или пак доколку училиштето не може да обезбеди соодветни просторни услови за реализација на конкретен изборен предмет ќе треба ученикот повторно да избере нов предмет од понудените предмети.

**Напомена:** Предметите што ученикот ќе ги избере за тековната учебна година мора да бидат од различни категории. Исто така, во текот на еден образовен период, ученикот не може два пати да избере ист предмет, освен ако не се работи за предмет од иста област кои се на различно ниво.

За учебната 2023/2024 година на учениците ќе им бидат понудени преку анкета следниве предмети Училиштето ги нуди следните слободни изборни предмети според категориите:

⇨ **Категорија: Изборни предмети за проширување и продлабочување на знаењата**

1. Сликање, цртање, вајарство;
2. Математичко-логичко резонирање;
3. Народи ора;
4. Запознавање на религиите;
5. Класична култура;

⇨ **Категорија: Изборни предмети за подршка на интересите на учениците**

1. Справување со природни катастрофи;
2. Театарски работилници;
3. Градинарство и хортикултура;

⇨ **Категорија: Изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој**

1. Игри за разрешување конфликти;

2. Јас и околината- заштита на животната средина;
3. Мултикултурни работилници;
4. Емоционална писменост;
5. Социо-емоционално учење;

⇨ **<u>Категорија:</u> Спортско-рекреативни изборни предмети**

1. Кошарка;
2. Фудбал;
3. Ракомет;
4. Шах;
5. Пинг-понг;

На крајот на учебната 2022/2023 година на учениците од VII-IX одделение им беа понудени изборни предмети за учебната 2023/2024 година. Врз основа на спроведените анкети со родителите и учениците изборните предмети кои ќе се изучуваат во учебната 2023/2024 година се:

| **Р.бр** | **Изборен предмет** | **Одделение во кое се изучува изборниот предмет** | **Име и презиме на наставник кој го предава предметот** |
|---|---|---|---|
| 1. | Истражување на родниот крај | VII | Маја Величковска<br>Стевче Здравковски |
| 2. | Проекти од ликовна умтеност | VII | Марија Наневска |
| 3. | Вештини на живеење | VIII | Радица Цветковска<br>Анета Митевска<br>Фросина Јанакиевска |
| 4. | Проекти од информатика | IX | Марина Пејковска |

⇨ ***Процедура за одредување на застапени изборни предмети***

Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети за седмо,осмо и деветто одделение , додека за одделенска настава и шесто одделение е во согласно со Водичот за слободни изборни предмети според новата Концепција за основно образование. Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување за изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика.

➢ **Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување на изборни предмети и изборот го спроведува според однапред одредена процедура:**

- ⇨ Прибирање на податоци за понудени изборни предмети од наставните планови и програми за деветгодишно основно образование;
- ⇨ Подготвување на анкетни листови за ученици и родители од страна на стручната служба;
- ⇨ Одржување на родителска средба на која ќе се презентира програмата за понудените изборни предмети;
- ⇨ Спроведување на анкета кај родителите;
- ⇨ Обработка на податоците од спроведената анкета;
- ⇨ Презентирање на обработените податоци пред Наставничкиот совет;
- ⇨ Информирање на учениците и родителите за застапените изборни предмети.

## 8.10. Дополнителна настава

Врз основа на член 2, став 3 од Правилникот за организација и начин на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта, училиштето изготвува распоред на месечно ниво за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. Организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава ги уредува Министерот, по предлог на Бирото.

Дополнителна настава се организира за оние ученици кои од одредени причини заостануваат во совладување на наставниот материјали или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава, а со цел да ги совладаат наставните содржини предвидени за нивната возраст со плановите и програмите. Во текот на целиот воспитно-образовен процес на учениците кои покажуваат послаби резултати им се даваат приспособени форми на помош во совладување на воспитно - образовните содржини. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност. За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на точна и навремена дијагноза за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и друго. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава, одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата.Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

За секој ученик кој ќе следи допоонителна настава претходно се обезбедува согласоснт од страна на родителот за истата.

Годишната програма и распоредот за дополнителна настава се дадени во **Прилог 14.**

## 8.11. Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и пројавуваат особена надареност и талентираност во одредени наставни предмети. Додатната настава ќе ја организира самиот наставник во зависност од сопствените согледувања за работата и талентот на учениците. Учениците се подготвуваат за натпревари, со што училиштето пошироко ги презентира своите воспитно - образовни потенцијали, а се овозможува афирмација на училиштето и учениците кои со својот труд и талент тоа го заслужуваат.

⇨ **Додатната настава наставникот е должен да им ја понуди на:**

Напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
Ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма;
Ученици што се пријавуваат за учество на натпревари;

Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава. Ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

Годишната програма и распоредот за додатна настава се дадени во **Прилог 15.**

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во согласност со  Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици донесена од Министерот по предлог на Бирото, се уредува препознавањето и идентификувањето на талентирани и надарени ученици, мерки и активности за работа. Секој наставник, освен часовите кои ги одржува во рамките на својот неделен фонд на часови, поминува додатни пет часа

неделно во директна работа со ученици за да се реализираат дополнителната и додатната настава, работата со талентираните и надарените ученици, работата на секциите и воннаставните активности.

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

⇨ **Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици:**

Категоријата на надарени и талентирани деца бара повеќе персонализација, повеќе внимание со цел да се развијат нивните вештини способности и на овие ученици им се приоѓа поорганизирано и од повеќе аспекти.

На надарените и талентирани ученициим се нудат некои од флексибилно водените образовни опции, како што се:

*Порано запишување во училиште;*
*Акцелерација на учебни години;*
*Работа по напредни наставни програми;*
*Овозможен континуиран напредок во нивните редовни паралелки;*
*Паралелно запишување во повисоки одделенија или напредни паралелки;*
*Полагање на испити;*

За работа со надарени и талентирани ученици се подготвува индивидуализирана програма за работа во училиштето, со која е испланиран развојот на ваквиот ученик и неговото напредување во учењето, земајќи ги во предвид психолошкиот и педагошкиот аспект. Откако ученикот ќе биде препознаен како надарено или талентирано дете, следува процесот на идентификација, односно мерење на степенот на таа надареност од страна на педагошката служба, за што постојат посебни протоколи. Целиот процес се одвива во соработка со родителот, односно старателот на ученикот.

Стручната служба во ООУ„ Дане Крапчев“- Скопје ја следи надареноста на учениците во следниве области:

*Јазично изразување: усно јазично изразување, писмено јазично изразување,комбинирано јазично изразување;*
*Математика;*

*Ликовна уметност;*
*Музичка уметност;*
*Спортски активности;*
*Рачна работа;*
*Комуникации;*
*Лидерство;*
*Разбирање на апстракни односи;*
*Разбирање на природни појави;*

Глобални цели кои треба да се имаат предвид при работата со надарени и талентирани ученици, се следниве:

*Развивање на способностите на ученикот;*
*Да им се овозможат на надарените и талентираните ученици поголеми можности за напредување и развој.*
*Унапредување на постигањата на надарените ученици;*
*Учество на натпревари и промоција на ученикот;*
*Правилен психо-физички развој на личноста на надаренио ученик.*

Годишната програма за работа со надарени и талентирани ученици е дадена во **Прилог 16.**

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Тоа подразбира промени и прилагодување на наставните содржини, пристапот, структурите и стратегиите за учениците со посебни образовни потреби. Инклузијата се дефинира со Концепцијата за инклузивно образование и Законот за основно образование. Преку процесот на целосна инклузија во општеството се овозможува вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовните училишта, одговор на различните потреби на учениците од страна на редовните училишта, создавање на средина за учење што ги вклучува сите подеднакво, и унапредување на компетенциите на наставниот кадар за да се постигнат овие приоритети. Понатаму, инклузијата во поширока смисла подразбира зголемување на свеста на општеството за потребите на децата со посебни потреби преку електронските и печатените медиуми, промовирање на инклузивната практика во локалните заедници, создавање на најсоодветен инклузивен модел, зацврстување на механизми и мрежа за стручна помош (установи за рехабилитација, ресурсни центри и центри за поддршка, факултети што едуцираат воспитно образовен кадар, стручни институции и здруженија),

организирање на методички работилници за планирање, следење и вреднување на воспитно образовната работа, следење на светските искуства и инклинирање кон истите.

Во училиштето, за инклузија на учениците со посебни образовни потреби се изготвуваат годишен (долгорочен), тематски (среднорочен) и дневен (краткорочен) индивидуален образовен план за оние ученици кои не можат да ги постигнат целите согласно наставниот план и програма за соодветното одделение. За учениците со комплексни потешкотии се изработува и реализира модифицирана програма. За учениците со надминатa возраст кои претходно не посетувале настава, се изготвува план за работа согласно прилагодената програма од МОН. Училиштето има изготвено програма за инклузија на учениците со посебни образовни потреби. Првата цел на оваа програма се однесува на идентификација на учениците со ПОП и одговор на потребите на овие ученици во редовното образование. Понатаму, програмата опфаќа поддршка на учениците со ПОП и овозможување напредок во склад со нивните можности и способности, надминување на стереотипите и предрасудите и развивање на позитивни ставови кон учениците со развојни потешкотии. Третата цел од програмата е наменета за следење на учениците со ПОП и подобрување на постигнувањата во редовното образование.

**⇨ Училишен инклузивен тим**

Формирањето на Училишен инклузивен тим е пропишано во Законот за основно образование. Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от/модифицирана програма, а по потреба и почесто се врши дополнување и нивна корекција. Во училиштето е формиран Училиштен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, и инклузивен тим за ученик, за учениците кои работат по индивидуален образовен план (ИОП) или модифицирана програма. Тие се меѓусебно поврзани на следниот начин: УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата, а инклузивните тимови за учениците (ИТУ) во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици, изготвувањето и реализирањето на нивните ИОП-и. Член на УИТ е и член на определен ИТУ или е одговорен за врската со конкретни ИТУ. Улогата на училишниот инклузивен тим е систематски да работи на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите на учениците со посебни образовни потреби во училиштето, што ќе им бидат познати на сите во училиштето.

Училишниот инклузивен тим е формиран со одлука на директор и е составен е од 7 члена: директор, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог,

одделенски наставник, предметен наставник и двајца родители. Истиот е со мандат од 3 учебни години. При запишување на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. За секој ученик со ПОП кој работи по ИОП/модифицирана програма, формиран е инклузивен тим за ученик за период до завршување на основното образование на ученикот, истиот е составен од: наставниците кои му предаваат на ученикот, родителот/старателот, специјалниот едукатор и рехабилитатор и педагогот, а по потреба се вклучуваат и други лица од доверба на ученикот (образовен асистент, лекар и сл.).

Инклузивниот тим за ученик врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси. Во изработка и реализација на ИОП учествува инклузивниот тим за ученик согласно препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн. Кај учениците со комплексни потреби се работи по модифицирана програма која се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи. Дел од модифицираната програма, овие ученици може да ја реализираат во основното училиште со ресурсен центар или во центар за поддршка на учењето согласно препораките на Стручното тело за функционална проценка. Кај учениците со ПОП кои имаат потешкотии во учењето или емоционални потешкотии но ги постигнуваат целите од наставниот план и програма се применува диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им се овозможи на учениците да учествуваат и можност да ги постигнат резултати од учењето. Учениците со надминатa возраст кои биле надвор од воспитно-образовниот систем, при нивно вклучување во редовната настава се распределуваат во одделение со ученици на приближна возраст и работат по прилагодена програма од конкретно одделение согласно последното приложено свидетелство или постигнатите знаења при тестирање со инструмент од БРО.

Годишната програма за работата на Училишниот инклузивен тим е дадена во **Прилог 17.**

⇨ ***<u>Членови на  училишен инклузивен тим при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:</u>***

1. **Адријана Младеновска-директор**

2. **Катерина Банџо–специјален едукатор и рехабилитатор**
3. **Весна Димитровска – одделенски наставник**
4. **Весна Кочова- предметен наставник**
5. **Габриела Ѓоршева - педагог**
6. **Данче Димчевска-родител**
7. **Марија Цветков -родител**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

1.**Даниела Торковска – одделенски наставник**
**2.Андријана Недевска–предметен наставник**
**3.Филип Петровски - предметен наставник 4.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**5.Габриела Ѓоршева - педагог**
**6.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Елизабета Ордева – одделенски наставник**
**2.Андријана Недевска–предметен наставник**
**3.Јовица Димески - предметен наставник 4.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**5.Габриела Ѓоршева - педагог**
**6. Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Стефани Тоневска – одделенски наставник**
**2.Андријана Недевска–предметен наставник**
**3.Јовица Димески - предметен наставник 4.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**5.Габриела Ѓоршева - педагог**
**6.Родител/старател**
**7.Весна Николовска - образовен асистент**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Лидија Георгиева – одделенски наставник**
**2. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик**
**3.Јовица Димески - предметен наставник 4.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**5.Габриела Ѓоршева - педагог**
**6.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Анета Менчова – одделенски наставник**
**2. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик**
**3.Јовица Димески - предметен наставник 4.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**5.Габриела Ѓоршева - педагог**
**6.Родител/старател**
**7.Жаклина Цветковска - образовен асистент**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Весна Димитровска – одделенски наставник**
**2. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик**
**3.Јовица Димески - предметен наставник 4.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**5.Габриела Ѓоршева - педагог**
**6.Родител/старател**
**7.Елена Благоевска - образовен асистент**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Катерина Димовска– одделенски наставник**
**2.Филип Петровски – предметен наставник**
**3.Весна Кочова – предметен наставник**
**4.Фросина Јанакиевска - предметен наставник**
**5. - предметен наставник ПН**
**6.Катерина Банџо - спец.едукатор и рехаб.**
**7.Габриела Ѓоршева - педагог**
**8.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Катерина Димовска – одделенски наставник**
**2.Филип Петровски – предметен наставник**
**3.Весна Кочова – предметен наставник**
**4.Фросина Јанакиевска - предметен наставник 5. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик**
**6.Катерина Банџо - спец.едукатор и рехаб.**
**7.Габриела Ѓоршева - педагог**
**8.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

1.**Христина Петровска – одделенски наставник**
**2.Филип Петровски – предметен наставник**
**3.Весна Кочова – предметен наставник**
**4.Фросина Јанакиевска - предметен наставник**
**5. - предметен наставник ПН**
**6.Катерина Банџо - спец.едукатор и рехаб.**
**7. Габриела Ѓоршева - педагог**
**8.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Катерина Лукарова – класен раководител**
**2.Катица Стојчевска – предметен наставник**
**3.Душанка Китановска – предметен наставник**
**4.Јулија Атанасова– предметен наставник**
**5.Јасмина Ѓорѓиева – предметен наставник**
**6.Маја Б.Величковска – предметен наставник**
**7.Марина Пејковска – предметен наставник**
**8.Магдалена Павлеска – предметен наставник**
**9.Фросина Јанакиевска – предметен наставник**
**10.Ванчо Јовчев – предметен наставник**
**11.Марија Н.Наневска – предметен наставник**
**12.Ивица Петрушевски– предметен наставник**
**13. Радица Цветковска - Петковска– предметен наставник**
**14.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**15.Габриела Ѓоршева - педагог**
**16.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Катерина Лукарова – класен раководител**
**2.Катица Стојчевска – предметен наставник**
**3.Душанка Китановска – предметен наставник**
**4.Јулија Атанасова– предметен наставник**
**5.Јасмина Ѓорѓиева – предметен наставник**
**6.Маја Б.Величковска – предметен наставник**
**7.Марина Пејковска – предметен наставник**
**8.Магдалена Павлеска – предметен наставник**
**9.Фросина Јанакиевска – предметен наставник**
**10.Ванчо Јовчев – предметен наставник**
**11.Марија Н.Наневска – предметен наставник**

**12.Ивица Петрушевски– предметен наставник**
**13.Радица Цветковска - Петковска– предметен наставник**
**14.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**15.Габриела Ѓоршева - педагог**
**16.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Елена Малинова - класен раководител**
**2.Лиле Сарваноска – предметен наставник**
**3.Душанка Китановска – предметен наставник**
**4.Катерина Лукарова – предметен наставник**
**5.Јасмина Ѓорѓиева – предметен наставник**
**6.Маја Б.Величковска – предметен наставник**
**7.Марина Пејковска – предметен наставник**
**8.Магдалена Павлеска – предметен наставник**
**9.Фросина Јанакиевска – предметен наставник**
**10.Ванчо Јовчев – предметен наставник**
**11.Марија Н.Наневска – предметен наставник**
**12.Ивица Петрушевски– предметен наставник**
**13.Радица Цветковска - Петковска– предметен наставник**
**14.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**15.Габриела Ѓоршева - педагог**
**16.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Лиле Сарваноска - класен раководител**
**2.Катица Стојчевска – предметен наставник**
**3.Душанка Китановска – предметен наставник**
**4.Катерина Лукарова – предметен наставник**
**5.Јасмина Ѓорѓиева – предметен наставник**
**6.Маја Б.Величковска – предметен наставник**
**7.Марина Пејковска – предметен наставник**
**8.Магдалена Павлеска – предметен наставник**
**9.Ивица Петрушевски– предметен наставник**
**10.Ванчо Јовчев – предметен наставник**
**11.Марија Н.Наневска – предметен наставник**
**12. предметен наставник**
**13.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**14.Габриела Ѓоршева - педагог**
**15.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Магдалена Павлеска - класен раководител**
**2.Лиле Сарваноска – предметен наставник**
**3.Катица Стојчевска – предметен наставник**
**4.Душанка Китановска – предметен наставник**
**5.Катерина Лукарова – предметен наставник**
**6.Јасмина Ѓорѓиева – предметен наставник**
**7.Маја Б.Величковска – предметен наставник**
**8.Марина Пејковска – предметен наставник**
**9.Ивица Петрушевски – предметен наставник**
**10.Ванчо Јовчев – предметен наставник**
**11.Марија Н.Наневска – предметен наставник**
**12. предметен наставник**
**13.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**14.Габриела Ѓоршева - педагог**
**15.Родител/старател**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“Скопје:***

**1.Весна Кочова - класен раководител**
**2.Милена М. Пауновска - предметен наставник**
**3.Александра Стојчевска - предметен наставник**
**4. предметен наставник**
**5.Јасмина Ѓорѓиева - предметен наставник**
**6.Роза Јаневска - предметен наставник**
**7.Бојана М.Личева - предметен наставник**
**8.Стевче Здравковски - предметен наставник**
**9.Ванчо Јовчев - предметен наставник**
**10.Марија Н.Наневска - предметен наставник**
**11.Елена Томевска - предметен наставник 12.Јорданчо Тодосиев - предметен наставник**
**13.Катерина Банџо – спец.едукатор и рехаб.**
**14.Габриела Ѓоршева - педагог**
**15.Родител/старател**
**16.Маја Караџоска - образовен асистент**

**⇨Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби:**

Со оглед на тоа што инклузивното образование ги зема предвид индивидуалните потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование,

Концепцијата за инклузивно образование ги дава насоките за вклучување, развој и образование на следните категории ученици со посебни образовни потреби:

Ученици со попреченост - кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања (оштетен слух, вид, интелектуална попреченост, телесна попреченост) кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите;

Ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето;

Ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини;

Ученици со комплексни потреби - кои имаат повеќестепени тешкотии, повеќестепени нарушувања, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и подршка;

Деца/ученици со странско државјанство, деца без државјанство, деца бегалци, барателиа на азил, деца со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита, деца под привремена заштита кои престојуваат во нашата држава;

Деца кои не биле вклучени во настава, а се со надминатa возраст;

Деца/ученици од ранливи категории кои од различни причини бараат посебна поддршка и грижа во текот на воспитно-образовниот процес.

Наставата за учениците со ПОП во основното училиште се реализира во согласност со препораките на Стручното тело за функционална проценка (МКФ), според следните нивоа на поддршка во учењето:

⇨ ***Ниво I*** – општа поддршка, учењето се насочува кон индивидуализација и диференцијација на наставниот процес со примена на соодветни наставни методи и средства. ⇨ ***Ниво II*** - интензивирана поддршка според Индивидуален образовен план. Индивидуалниот образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето. ⇨ ***Ниво III*** - посебна поддршка според модифицирана наставна програма. Модифицираната наставна програма,

наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период

на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи;

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Министерството обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Дополнителната поддршка ја реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува Министерот. Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер.

## 8.15. План на образовен медијатор

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загРозани семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори. Образовниот медијатор, презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до Министерството најдоцна до 15 септември во тековната учебна година. Образовните медијатори се ангажираат по пат на јавен повик, кој го објавува Министерството на интернет страницата, најдоцна до 1 октомври во тековната година. За изборот на образовни медијатори, министерот формира комисија составена од пет члена, од кои три члена се од редот на вработените во Министерството, еден претставник од Бирото и еден претставник од граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на Ромите.

Годишната програма за работата на образовниот медијатор е дадена во **Прилог 18.**

## Акционен план за работа на образовен медијатор Учбена 2023-2024 година

| Реден број | Задача | Временска рамка | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Соработка со родители Роми, нивна поддршка и мотивација за вклучување на нивните деца во образовен процес | Тековно | Стекнување соработка и доверба,мотивираност на родителите за вклучување на децата во образовниот процес | Образовен медијатор |
| **2.** | Работа на терен за идентификување наМнередовните ученици Роми | Ноември Јануари Април | Враќање на нередовните ученици вообразовниот процес | Образовен медијатор |
| **3.** | Евиденција за состојбата на учениците Роми | Септември Тековно | Надминување на одредени проблеми | Образовен медијатор |
| **4.** | Соработка со наставниците и стручно педагошката служба | Тековно | Прогрес на учениците во редовноста и успехот | Образовен медијатор |
| **5.** | Идентификување на ученици кои се повратници од странски земји | Септември Јуни | Враќање на учениците во образовниот процес | Образовен медијатор |
| **6.** | Организирање на редовни средби со родителите на учениците Роми | Месечно | Информираност и едукација на родителите | Образовен медијатор |
| **7.** | Упис на првачиња Роми | Мај Септември | Зголемување на опфатот на запишани ученици во прво одделение | Образовен медијатор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Подигнување на свесноста на ромите за важноста на образованието | Тековно | Зголемена свесност кај ромското население за важноста на образованието | Образовен медијатор |
| **9.** | Намалување на осипот/откажувањето од воспитно-образовниот | Ноември Јануари, Април | Поголема вклученост на нередовните ученици во училишната настава | Образовен медијатор |
| **10.** | Јакнеење на самодовербата кај учениците за успешно образование | Ноември Февруари | Зголемена самодоверба и успех кај учениците Роми | Образовен медијатор |





| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Намалување на предрасудите, стереотипи, дискриминација, насилство и конфликти | Октомври Март | Намалена дискриминација, насилство и конфликти помеѓу учениците Роми и учениците од друга етничка припадност | Образовен медијатор |
| **12.** | Подготовка на месечни извештаи | Секој месец | Увид во сопствената работа | Образовен медијатор |
| **13.** | Евалуација од сопствената работа | Јуни | Увид во сопствената работа | Образовен медијатор |

# 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

## 9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб - „**Училишен спортски клуб ДАНЕ КРАПЧЕВ 2014“** е формиран на 07.11.2014 година одговорен наставник е Филип Петровски- наставник по физичко и здравствено образование. На почетокот на учебната година на учениците им се нуди да го изберат спортот во кој сакаат да се натпреваруваат. Клубот ќе биде во функција на селекција и подготовка на учениците за натпреварите.

Во училишниот спорт превземени се голем број на активности кои ќе се реализираат во учебната 2023/24 година. Опфатени се голем број на ученици од училиштето кои ќе имаат можност да се натпреваруваат како на училишните така и на регионалните и градски натпреварувања. ООУ „Дане Крапчев”-Скопје активно учествува во сите планирани натпревари организирани од Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба.

Цели на училишниот спорт за оваа учебна година се преку понудата на разновидни спортови, да се зголеми масовноста, активноста и вклученоста на учениците во спортот преку училишните натпреварувања. Целта е да се насочат кон одреден спорт, социјализација и меѓуетничко почитување со учениците од други националности, фер – плеј однос, градење на натпреварувачки дух, формирање на цврста и здрава личност.

Сите активности во рамките на училишниот спорт се рализираат за да постигнат конкретни и општи цели.

⇨ **Конкретни цели кои треба да се постигнат:**

*Да ги развива психомоторните димензии, брзина, еластичност;*
*Да се потикнува да извадува вежби со одредени делови од телото, екстремитети, врат;*
*Да се усоврши техника на одење и трчање;*

⇨ **Општи цели кои треба да се постигнат:**

*Да усоврши поставување и движење;*
*Да се оспособи за тимска работа;*
*Да ги почитува правилата на игра;*

Со цел утврдување на постигањата и реализирање на активностите планирани со програмата, директорот на училиштето формира тим за следење на реализацијата на активностите.

⇨ ***Училишен тим за следење на реализацијата и начинот на евалуација:***

1. **Филип Петровски- предметен наставник**
2. **Јовица Димовски- предметен наставник**
3. **Стефани Тонеска-одделенски наставник**
4. **Лиле Сервановска -предметен наставник**

Планираните активности и натпревари кои ќе бидат понудени на учениците во учебната 2023/24 година.

| Вид на спорт | Време на реализација | Систем на натпреварување | Пол | Вид на натпревари | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|---|---|
| **Футсал** | Октомври - Мај | Лига | Машки | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |
| **Кошарка** | Октомври - Мај | Лига | Машки | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |
| **Футсал** | Февруари | Турнир | Женски | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |
| **Кошарка** | Март | Турнир | Женски | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |
| **Одбојка** | Февруари | Лига | Женски | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одбојка** | Март | Турнир | Женски | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |
| **Пинг - Понг** | Април | Турнир | Машки и Женски | Општински | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |
| **Атлетика** | Октомври и Мај | Крос | Машки и Женски | Регионален | Ивица Петрушевски<br><br>Јорданчо Тодосиев |

Евалуација на постигањата, критериуми за вреднување на постигањата се бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни) и бројот на освоени награди.

| **Планирани активности** | **Цели** | **Форми на активноста** | **Време** | **Услови за работа** | **Очекување** |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на училишен кошаркарски тим-машки | Совладување на основни кошаркарски елементи и примена во игра | Училишни тренинзипосле редовни училишни часови | Континуирано цела учебна година | Училишна спортска сала | Развој и популација на кошарката во училиштето и постигнување на добри резултати. |
| Формирање на училишен фудбалски тим- машки | Совладување на основни фудбалски елементи и примена во игра | Училишни тренинзипосле редовни училишни часови | Континуирано цела учебна година | Училишна спортска сала | Развој и популација на фудбалот во училиштето и постигнување на добри резултати. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на училишен одбојкарски тим- женски | Совладување на основни одбојкарски елементи и примена во игра | Училишни тренинзипосле редовни училишни часови | Континуирано цела учебна година | Училишна спортска сала | Развој и популација на одбојката во училиштето и постигнување на добри резултати. |
| Формирање на училишен ракометен тим-машки, женски | Совладување на основни ракометни елементи и примена во игра | Училишни тренинзипосле редовни училишни часови | Континуирано цела учебна година | Училишна спортска сала | Развој и популација на ракометен во училиштето и постигнување на добри резултати. |

Следењето се изведува индивидуално,групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат насоодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, објективни тестови, писмени вежби, усни вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

## 9.2. Секции/клубови

Слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно и имаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Секој ученик по свој личен избор може да се одлучи да членува во една или најмногу во две секции. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат склоности и интереси без оглед на успехот во наставата. Личниот интерес на ученикот има примарно значење при определувањето на видот на слободните активности.

Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација. Знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко, а воедно и со учество на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно-образовната дејност на училиштето,како и воспоставување на комуникација со другите училишта.

⇨ **Задачите на слободните ученички активности се:**

*Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците;*
*Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување;*
*Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски;*
*Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време;*

⇨ **Конкретни цели кои треба да се постигнат**

*Да сепотикнат учениците на покреативно изразување;*
*Правилно користење на додатни материјали;*
*Оспособување за самостојно вреднување и доживување на работите;*

⇨ **Општи цели кои треба да се постигнат:**

*Потикнување на ученичките знаења;*
*Утврдување на ученичките знаења;*
*Практична примена на знаењата, умеењата и навиките;*
*Да се оспособат знаењата на учениците да не сведат на повторување на наставното градово туку проширување преку користење на екстра материја;*

*Да се одговори на потребите и интересите на учениците за разни активности;*
*Да се поттикнува и негува детската љубопитност и сознајните способности;*
*Да се развива интерес, фантазија и детската креативност; Да се прошируваат и продлабочуваат знаењата по одредена област;*
*Да развива логичко и критичко мислење и изнаоѓање решенија на проблемите;*
*Да се развива чувство на припадност и задоволство во извршувањето на активностите;*

⇨ **Слободните ученички активности се поделени во групи и тоа :**

*Слободни активности за проширување на знаењата по одделни предмети;*

*Културно - уметнички слободни активности ;*
*Слободни спортски активности*

На почетокот на учебна 2023/24 година на огласната табла и web страната на училиштето се објавува список на секциите што се предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Потоа преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, се спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале. Анкетата е намената за учениците и за родителите кога се работи за ученици од I - III одделение. Анкетата може да вклучува понуда од која треба да се врши изборот, а самата понуда, освен воннаставните активности што ги нудат наставниците, мора да ги земе предвид интересите на учениците изразени преку ученичките тела. По извршената анализа на анкетите, учениците ќе бидат распоредени по соодветни секции.

Списокот на пријавени и одбрани ученици со кои ќе се реализираат секциите дефинитивен ќе биде во септември и истиот ќе биде доставен како анекс во Годишната програма за работа на училиштето.

Годишна програма за воннаставни активности и распоредот за програми за секции по наставни предмети се дадени во **Прилог 19.**

## 9.3. Акции

Акциите се краткортајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во поширокота околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во

соседството итн.) Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка, група ученици од една година/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција. Краткотрајните воннаставни активности се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Истите можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер. Се организираат заради превенирање или реагирање на определена состојба, понатаму, по повод гостување на некое стручно лице, практичар или популарно лице во дадена област, како и за проширување и продлабочувања на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети.

Во нашето училиште постојат тимови кои во своите програми и акциони планови планираат акции како на пример приредби, базари, хепенинзи, хуманитарни и еколошки акции, конкурси и слично.

⇨ ***Тим за организација на јавна и културна дејност во училиштето***

***Цел:***Развивање творечки способности кај учениците, афирмација на училиштето и успешна комуникација со јавноста.

⇨ ***Тим за соработка со родители/ старатели***

***Цел:***Подобрување и продлабочување на соработката со родителите/старателите.

⇨ ***Детска организација***

***Цел:*** Создавање на еднакви можности, почитување на детската личност и заштита на нивните права и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно, во училиштето во учебната 2023/2024 година ќе се организира прием на првачињата во Детската организација.

⇨ ***ЕКО тим***

***Цел:*** Поголем ангажман на учениците и вработените во училиштето за изгледот на училишната зграда и училишниот двор (чисто училиште, зголемување на бројот на дрвја, засадување на сезонско цвеќе), заштеда на вода и енергија, бројни акции, кампањи и сл. активности.

⇨ ***Меѓуетничка интеграција на младите во образованието***

***Цел:*** Реализирање на активности за запознавање и јакнење на мултикултурата и заедницата, почитување и прифаќање на различностите.

⇨ ***Превенција од насилно однесување***

***Цел:*** Учениците да се запознаат со видовите на насилно однесување и начините на справување со истите.

⇨ ***Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта***

***Цел:*** Учениците да се запознаат со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата

⇨ ***Црвен крст***

***Цел:*** Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

⇨ ***Тим за естетско уредување на училиштето***

***Цел:*** Естетско вообличување на просторот во училиштето со поттикнување на креативноста и фантазијата на учениците.

⇨ ***<u>Училишен тим за следење на акциите</u>***

1. **Цветанка Милосковска-заменик претседател на совет на родители**
2. **Бојана М. Личева-предметен наставник**
3. **Томислав Спасевски-предметен наставник**
4. **Анета Менчова-одделенски наставник**

**План за организирање на акции**

| Ред бр. | Акција (содржина) | Цел на акција | Одговорно лице | Вклучени паралелки | Средства и материјали | Извори на средства и материјал | Следење на акциите | Време на реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Активности за запознавање на учениците со антикорупција | Да се утврдат предзнаењата на учениците за корупција, појава и заштита од корупција | Магдалена Павлеска | Од IV до IX одделение | Анкетен прашалник | Наставници и ученици | Тим за следње на акциите | Септември и да се стави под бр.1 |
| **2.** | Донации на облека, средства за домакинство за загРозани семејства – хуманитарна акција | Обезбедување на потребна облека , средства на загРозани смејства | Бојана Личева | Од I до IX одделение | Пакети и кеси за складирање на донациите, превоз, пункт | Локално население, Наставници , Родители Ученици | Тим за следење на акциите | Октомври да се стави по бр.2 |
| **3.** | Собирање на храна за семејства-хуманитарна акција | Обезбедување на потребна храна за загРозаните семејства; | Бојана Личева | Од I до IX одделение | Пакети и кеси за пакување на храната, Превозно средство Простор за складирање | Локална самоуправа Население Ученици Наставници Родители | Тим за следење на акциите | Ноември |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Предавање за насилното однесување | Запознавање со видови насилство | Габриела Ѓоршева | Од I до IX одделение | Компјутер, презентации, листови, маркери | Ученици Наставници | Тим за следење на акциите | тековно |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | Уредување на училишен двор-Еколошка акција | Подигање на еколошката свест на учениците; Разубавување на училишниот двор; | Душанка Китановска | Од I до IX одделение | Ракавици Кеси за отпадоци Работен материјал | Училиште ученици | Тим за следење на акциите | Март |
| **6.** | Денот на шегата-хепенинг | Подобрување на меѓусебната комуникација и заедничко работење на учениците-тимска работа. | Данче Костовска<br><br>Елена Малинова | Од I до IX одделение | Материјали за изработка на маски, картон, текстил, лепак,простор за дефиле | Ученици Наставници Училиште | Тим за следење на акциите | Април |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Засади цвеќе-еколошка акција | Естетско уредување на училишниот двор;<br>Запознавање со начинот на одгледување на растенија на учениците; | Бојана Личева<br><br>Радица Цветковска | Од I до IX одделение | Садници на сезонски цвеќиња, Работен материјал, ракавици | Училиште<br>Наставници<br>Родителии | Тим за следење на акциите | Април |
| **8.** | Здрава исхрана-Базар | Запознавање и прозводство на здрава храна;<br>Подготовка на специјалитети | Лидија Ѓеорѓеиева<br><br>Бојана Личева | Од I до IXодделение | Маси<br>Украсни фолии<br>Празни кутии | Училиште<br>Наставници<br>Ученици | Тим за следење на акциите | Мај |
| | | од здрава храна;<br>Изработки од здрава храна; | | | Производи од зелнчук и овошје | | | |
| **9.** | Празнични специјалитети на сите етникуми - базар | Запознавање со традиционалната храна на сите етникуми застапени во училиштето. | Роза Јаневска | Од I до IX одделение | Потребна храна, Маси<br>Простор за складирање и изожба,материјали за пакување | Родители<br>Наставници<br>Ученици<br>Училиште | Тим за следење на акциите | Мај |

По завршувањето на акцијата, од учениците-учесници треба да се бара повратна информација (анонимни прашалници) за успешноста во реализацијата на целите на акцијата и корисноста од нејзината реализација за нив самите. Од учениците може да се бара мислење и за тоа како може да се подобри реализацијата на акцијата во иднина. Одговорните наставници во соработка со другите вклучени реализатори (наставници, родители, стручни соработници, претставници на невладини организации) го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот список на учесници. За учениците кои особено се истакнале во реализацијата на целите на акцијата, одговорниот наставник подготвува посебна белешка со мислење кое описно се запишува во додатокот на свидетелството на ученикот.

# 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Ученикот кој е во фокусот на воспитно-образовниот процес е личност со свои права, обврски, интереси, член на општествената заедницата со што има право на свои организации, чија цел е изградба на самосвесни демократични личности кои реално се вреднуваат себе си, другите со што се подготвуваат адекватно да го завземат своето место во општеството. Во ООУ “Дане Крапчев“-Скопје, учениците учествуваат во целокупниот воспитно-образовен процес и се реализира ученичко организирање со цел учениците да се активни и рамноправни учесници во реализацијата на наставната програма како и во целокупниот воспитно-образовен процес. Учениците се организирани во ученичките тела: ученички заедници на ниво на паралелки, ученичка заедница на ниво на училиште, ученички парламент и ученички правобранител.

Ученичкото организирање треба да им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и нивоа на одлучување, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со:

Настава;
Воннаставните активности;
Односите меѓу учениците;
Односите со возрасните;
Физичките услови во училиштето;

### Ученичка заедница на ниво на паралелки

Според член 68 од Законот за основно образование, сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница и учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент, заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката. Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира претседател, заменик-претседател, постојани тела и повремени тела. Пожелно е секое дете да биде член барем на едно постојано тело во согласност со сопствените афинитети. Постојаните тела не мора да имаат однапред определен број, ниту пак тематска насоченост, самите ученици треба да решат колку постојани тела ќе имаат. Секој ученик освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата доброволно се определува во кое тело

сака да биде член. Претседателот и заменик-претседателот на заедницата на паралелката ги запишуваат членовите во секое тело и списокот го чуваат во документацијата на заедницата. Претседателот на заедницата се избира со мандат од една учебна година. Еден ист претседател на заедницата на паралелката може да има само два мандати: еден во одделенска настава и еден во предметна настава. Претседателот на одделенска заедница го избираат учениците кои ја чинат одделенската заедница на непосредни избори со тајно гласање од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката.

⇨ **Критериуми за избор**

Критериумите за избор на претседателот и заменик - претседателот треба да ги изградат самите ученици, при што наставникот треба внимателно да ги насочува кон одредени вредности како:

*Комуникативност;*
*Почит кон другите (не прави разлика помеѓу учениците, еднакво постапува со сите, се залага за учениците);*
*Почит од другите ученици;*
*Поведение;*
*Пдговорност;*
*Подготвеност да ги застапува интересите на другите пред наставникот и пред другите наставници;*
*Заинтересираност;*

Во заедницата на паралелката се избира претседател и заменикпретседател. Изборите за претседател на заедницата на паралелката се одржуваат во просторијата во којашто учениците го одржуваат одделенскиот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето (ќе биде додаден со анекс). На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик-претседател и на другите постојани и повремени тела на заедницата и заедно со учениците да ја формира листата на критериуми.

**Ученичка заедница на училиштето**

Ученичката заедница на ниво на училиште особено ќе се заложува за третирање на одделни актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. Ученичката заедница на училиштето ги опфаќа учениците од I до IX одд.Се конституира на почетокот на учебната година откако ќе се формираат паралелките. Секоја паралелка делегира еден до два члена во училишната заедница од раководството - претседателството на ученичката заедница и тие го претставуваат раководството на ученичката заедница. Од

редот на претседателството се бира потесно раководство кое го сочинуваат претседател, подпретседател и секретар. За вршење на одделни задачи претседателот бира повремени или постојани комисии, како на пример комисија за успех и дисциплина. Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката, се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на: прослави и манифестации, екскурзии, еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми.

Ученичката заедница се состанува минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката.На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот

Училишната заедница ја следи, насочува и координира работата на ученичките заедници на паралелките. Својата активност ја остварува по однапред подготвена програма за работа. Работата на ученичката заедница на училиштето ја помага педагогот на училиштето.

Годишната програма за работа на ученичката заедница и заедница на паралелката се дадени во **Прилог 28.**

Годишната програма за работа на Детска организација е дена во **Прилог 22.**

## Ученички парламент

Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, составено од претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат (со мнозинство гласови од тајно гласање) се избира претседател на ученичкиот парламент. Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември. Датумот на одржување на конститутивната седница се определувасо годишниот план и програма за работа на училиштето (ќе се приложи со анекс). Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на заедниците на паралелките.Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките, седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од

два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелкитеили директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките. На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог и други стручни соработници. Членови на ученичкиот парламент во ООУ „Дане Крапчев“- Скопје, ќе се изберат во месец септември и приложат со анекс на Годишната програма за работа на училиштето.

⇨ **Надлежности на ученичкиот парламент:**

*Активно учество во промовирање и застапување на правата и интересите на учениците; Промоција на ученички активизам;*

*Активности за обезбедување на врсничка подршка на учениците со посебни образовни потреби;*

*Учество во изработка на годишната програма за работа на училиштето;*

*Дава предлог активности за програмата за излети, екскурзии и други вонучилишни активности;*

*Дава предлог за воннаставни активности на учениците;*

*Дава предлог за подобрување на ученичкиот стандард;*

*Учествува во евалуација на работата на училиштето;*

*Учествува без право на глас во работата на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Совет на родители;*

*Организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;*

⇨ **Надлежности на ученичкиот парламент се спроведуваат во текот на целата учебна година и истите се реализираат преку:**

*Дебати;*
*Предавања;*
*Дискусии;*
*Едукативни содржини;*
*Едукативни работилници;*
*Истражувања;*
*Тркалезни маси;*
*Иницијативи;*

*Акции;*
*Манифестации;*
*Анкети;*
*Презентации;*
*Соработка со институции и организации;*

Годишната програма за работа на ученичкиот парламент е дадена во **Прилог 28а.**

## Ученички правобранител

Член 68, став 8 од Законот за основно образование, предвидува и воспоставување на ученички правобранител чија задача е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Својата функција ја остварува во партнерство со стручната служба, преку промовирање на детските права (со помош на организирање едукативни работилници, дебати, инфо-денови итн.) и преку давање поддршка за заштита на детскитеправа (со помош на регистрирање на прекршувањата на детските права и нивно проследување до стручната служба). Предвидено е ученичкиот правобранител да го избираат учениците од VII-IX одделение, со тајно гласање. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, се препорачува освен ученички правобранител да се изберат и најмалку двајца негови заменици. Информациите за содржината на работилниците сеобезбедени од стручната служба во училиштето и тимот за поддршка, која треба да претставува партнер на ученичкиот правобранител.

⇨ **Последователните чекори за селекција на ученичкиот правобранител и неговите заменици:**

1. Директорот ги информира сите наставници во училиштето, при првата заедничка средба, за целиот процес на селекција и собирање за нивно активно вклучување и целосна поддршка.
2. Стручната служба во основното училиште подготвува отворен повик за избор на ученички правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб-страницата на училиштето.
3. Најдоцна една недела пред истекот на крајниот рок за пријавување, одделенските, односно раководителите на паралелките имаат задача да го промовираат и да им го објаснат повикот на своите ученици и да одговорат на сите нивни прашања. Ова подразбира потреба од претходна подготовка на сите одделенски, односно раководители на паралелка која ќе ја изведе стручната служба.
4. Во текот на отворениот повик за пријавување се формира комисија за избор на ученички правобранител, која се состои од: педагоги 4 лица

назначени од ученичкиот парламент, бројот на членови на комисијата е непарен. Задачата на оваа комисија е да ги разгледа пријавите за ученик правобранител и да организира избори за ученички правобранител.

5. Комисијата за избор на ученички правобранител дефинира датум за избори и го објавува јавно на огласната табла на училиштето. На огласната табла заедно со информацијата за избори се наведуваат и пријавите на кандидатите за ученички правобранители и замениците на ученичките правобранители за да се запознаат учениците со нивните идеи и видувања. За потребите на изборите, комисијата ќе испечати ливчиња со имињата на кандидатите за ученички правобранител и заменици. Симулирајќи вистински процес на избори, секој гласач ќе добие ливче, ќе го заокружи тајно и ќе го стави во кутијата за избори.
6. По завршување на гласањето, комисијата јавно ги пребројува гласовите. За избран ученички правобранител се смета оној што добил најмногу гласови од учениците што гласале од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение. Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат.

Годишната програма за работа на ученичкиот правобранител е дадена во **Прилог 28б.**

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

- ***Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„Дане Крапчев“- Скопје за учебната 2023/2024 година.***

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основно образование под бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерство за образование и наука, стручниот тим на екскурзии, формиран со одлука од страна на Училишниот одбор на училиштето, изготви Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„Дане Крапчев“-Скопје.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности претставуваат форма на воспитно-образовна работа што ја организира училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја, наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели: општи и стручни знаења и ученички сознанија за одредени подрачја од животот и

работата на луѓето, применување вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина, културно -историски знаменитости, индустриски иземјоделски капацитети изапознавање со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности ги реализираат целите преку:

*Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*
*Посета на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;*
*Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*
*Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;*
*Градење чувство за припадност на државата, еднаквост, толеранција и соживот;*
*Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава, за примена на меѓуетничка интеграција на образованието;*
*Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;*

*Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*
*Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.*

⇨ **Во текот на учебната 2023/2024 година ќе бидат организирани:**

| **Екскурзии / Излети** | **Време на изведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | септември/октомври | Дељадровце, Сарај, Катланово | I – IX одд. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Мај/Јуни | Парк шума Гази Баба,Марков манастир | I – IXодд. |
| **Еднодневна екскурзија** | Мај/Јуни | Струмица | III одд. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дводневна екскурзија** | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Источна Македонија | VI одд. |
| **Тродневна екскурзија** | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Западна Македонија | IX одд. |
| **Настава во природа** | април/мај (По посебно изготвена програма) | Охрид | V одд. |
| **Набљудувања** | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| **Посета на знаменитости и установи** | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

**Забелешка*:** Временската рамка за изведување на екскурзиите е ориентациона и зависи од временските услови или други објективнипричини.

Годишната програма за вонучилишни активности е дадена во **Прилог 29.**

**O *<u>Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности:</u>***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Бојана М. Личева- предметен наставник**
3. **Роза Јаневска- предметен наставник**
4. **Вилдана Суљовиќ-одделенски наставник**
5. **Елена Томевска-предметен наставник**
6. **Стефани Тоневска-одделенски наставник**
7. **Даниела Салтирова-одделенски наставник**

## 12. НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Организираните натпревари** играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се воспоставува активен однос кон наставата се продлабочуваат и збогатуваат знаењата на ученикот а придонесуваат и да се развива натпреварувачкиот дух и другарството помеѓу учениците. Организатори на натпреварите се наставниците, стручните активи на наставниците, општината и други.

Натпреварите во кои учество заземаат учениците можат да бидат:

- ⇨ ***Натпреварите во знаења*** по наставни предмети ќе се одржат во месеците февруари и март во секоја паралелка и на ниво на одделенија. Најдобрите поединци ќе го претставуваат училиштето на општинските натпревари,
- ⇨ ***Натпреварите по вештини*** ќе се одржат при крај научебната година на нивона одделенијаиучилиште во организација нараководителите на секциите, а најдобрите ќе учествуваат на регионални и државни натпревари.
- ⇨ ***Спортските натпревари*** ќе се одржуваат во текот на целата учебна година во поединечна и екипна конкуренција, во мал фудбал, кошарка, одбојка и ракомет во организација на наставникот по физичко образование на општинско и градско ниво. Училиштето ќе учествувана спортските натпревари и по повод патроните празници на училиштата кои што ќе не поканат.

Училиштето ќе учествува на натпреварите организирани од страна на општината, градот, МОН и Р. С. Македонија кои што имаат решение од МОН.

Годишната програма за реализација на ученички натпревари е дадена во **Прилог 30.**

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Активностите кои се во насока на промоција на меѓуетничка интеграција во образованието обезбедуваат можности за непосредна интеракција на учениците со различен културен идентитет. Овој вид активности овозможуваат младите да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно. Сето ова резултира со унапредување на меѓусебните односи и развивање на соработка и

заедништво.Овие активности придонесуваат и за интензивирање на неформалната комуникација меѓу учениците надвор од училиштето, што би била повисока цел меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост. Интегрирано образование е нов модел на образование кој претставува пример за образование на децата и младината од сите етнички заедници во мултиетничка средина заради нивно подготвување за живот во мултиетничко општество. Овој образовен модел ги негува, ги охрабрува и ги интегрира во себе мултиетничките и мултикултурните вредности, образувањето и надградувањето како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и заедницата, преку негување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, градејќи притоа едно мултиетничко општество. Интенцијата на квалитетното интегрирано образование е градење на современи, успешни и ефективни воспитнообразовни установи кои ќе ги промовираат мултиетничките вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училишен амбиент.

За реализација на активностите кои се однесуваат на меѓуетничката интеграција на образованието во ООУ „Дане Крапчев“-Скопје од страна на директорот формиран е тим за училишна интеграција - СИТ кој е одговорен за реализација и спроведување на планираните активности.

⇨ ***<u>Училишен тим за училишна интеграција:</u>***

1. **Роза Јаневска-предметен наставник**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Бојана М. Личева-предметен наставник**
4. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**
5. **Анета Менчова-одделенски наставник**
6. **Ана Ристиќ- ученички парламент**
7. **Христијан Џопевски - ученички правобранител**

Годишна програма и план за унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција е дадена во **Прилог 24.**

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Училиштето континуирано е вклучено во образовните реформи со кои преку реализирање на проекти придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата.

⇨ **Проекти кои се реализираат во училиштето:**

*Градиме нови мостови;*
*Квалитетно образование за сите: Едукација за демократска култура - од политика до практика;*
*Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба;*
*Здрава храна и добри навики за среќни деца;*
*Е-твининг: Safe Internet Use;*
*Еразмус плус проект: The impact of family attitudes on Internet connectivity and safe Internet use;*

Проекти што се реализираат во основното училиште се дадени во **Прилог 31.**

# 15. ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Од страна на педагогот се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години и сл. Постигнувањата на учениците во 2022/23 година по наставни предмети се дадени во следната табела:

**ПРЕГЛЕД**
**на општиот успех на учениците на крајот на второто полугодие во учебната 2022/23 година во наставата со македонски наставен јазик**

| Одд. | Број на ученици | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Вкупно со позитивни | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со 3 и повеќе | | Вкупен просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | |
| I | 84 | 28 | ***ОПИСНО ОЦЕНЕТИ 236 УЧЕНИКА*** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | 77 | 33 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III | 75 | 42 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV | 93 | 42 | 53 | *56.99* | 24 | *25.81* | *16* | *17.20* | / | / | 93 | *100* | / | / | / | / | / | / | 4.41 |
| V | 98 | 48 | 52 | *53.06* | 21 | *21.43* | 22 | *22.45* | 3 | *3.06* | 98 | *100* | / | / | / | / | / | / | 4.23 |
| **I-V** | **427** | **193** | **105** | *55* | **46** | *24.08* | **38** | *19.89* | **3** | *1.57* | **191** | *100* | / | / | / | / | / | / | **4.32** |
| **VI** | 97 | 50 | 25 | *25.77* | 28 | *28.87* | 26 | *26.80* | 12 | *12.37* | 91 | *93.81* | / | / | / | / | 6 | 6.18 | 3.58 |
| **VII** | 68 | 32 | 25 | *36.76* | 14 | *20.59* | 16 | *23.53* | 12 | *17.65* | 67 | *98.53* | / | / | / | / | 1 | 1.47 | 3.77 |
| **VIII** | 68 | 36 | 32 | *47.06* | 12 | *17.65* | 16 | *23.53* | 8 | *11.76* | 68 | *100* | / | / | / | / | / | / | 3.94 |
| **IX** | 87 | 47 | 38 | *43.68* | 19 | *21.84* | 22 | *25.29* | 8 | *9.20* | 87 | *100* | / | / | / | / | / | / | 3,91 |
| **VI-IX** | **320** | **165** | **120** | *37.5* | **73** | *22.81* | **80** | *25* | **40** | *12.05* | **313** | *97.81* | / | / | / | / | 7 | 2.19 | **3,80** |
| **IV-IX** | **511** | **255** | **225** | *44,03* | **118** | *23.09* | **118** | *23.09* | **43** | *8.41* | **504** | *98.63* | / | / | / | / | 7 | 1.37 | **3,97** |
| **I-IX** | **747** | **358** | **225** | *44.03* | **118** | *23.09* | **118** | *23.09* | **43** | *8.41* | **504** | *98.63* | / | / | / | / | 7 | 1.37 | |

| Учебна година | 2022/23 | 2021/22 | 2020/21 | 2019/20 |
|---|---|---|---|---|
| Просек | 3,97 | 3,88 | 4,01 | 4,00 |

## План за постигнување на учениците во 2023/24 година

⇨ ***Стратешки и развојни цели:***

*Реализација на додатните и дополнителните активности;*

*Реализација на наставните содржини;*

*Работа со деца со посебни потреби;*

*Унапредување на информираноста на учениците, родителите и наставниците.*

За успешно реализирање на горе наведените стратешки и развојни цели се одредија и конкретни цели и задачи во кои се опфатени активностите што ќе се реализираат, времето на реализација, ресурсите и индикаторите.

⇨ ***Активности - процедура за идентификација и поддршка и на учениците со потешкотии во учењето:***

*Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;*
*Наставниците, стручните соработници вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);*
*Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;*
*Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;*

*Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;*
*Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;*



*Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);*
*Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции ( Завод за ментално здравје, Ресгионално стручно тело за класификација според МКФ, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;*

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.Училиштето посветува особено внимание на *промовирањата на постигнувањата на учениците*, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку web страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи и сл, училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.Во рамките на учеството на литературни читања особено се истакнуваат средбите со писателина Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и хепенинзи.Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори.На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи резултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

| **План за следење и поддршка на учениците** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активност** | **Време на реализација** | **Носител** | **Ресурси** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| Да се анализира оценувањето на постигањата на учениците | Изготвување на компаративна анализа | Јануари<br>Јуни | Тим за подрачјето за самоевалуација „Постигања на учениците“ | Преглед на постигања на ученици | Подобрување на постигањата на учениците | Марина Пазаркоска |
| Да се промовираат постигањата на учениците | Информирање на училиштето и јавноста запостигањата на учениците | Континуирано | Одделенски раководители | Преглед на постигања на ученици | Подобрување на постигањата на учениците | Анета Митеска |
| Континуирано да се поддржуваат учениците преку додатна и дополнителна настава | Учество на учениците на часови на додатна и дополнителна настава, учество на училишни и вон училишни активности и натпревари | Во текот на целата учебна година | Наставници, родители ученици | Реализирање на часовите на додатна и дополнителна настава и учество на натпревари | Повисоки постигања на учениците | Катерина Лукарова |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се идентификуваат талентираните, надарените и учениците со | Идентификација на талентирани, надарени и ученици со потешкотии во | Септември | Одделенски предметни наставници | Набљудување Анегдотски белешки | Идентификуван и ученици | Стручните соработници |





| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| потешкотии во учењето | учењето | | | | | |
| Да се изготви план за работа со талентираните и надарените, ученици со ПОП, потешкотии во учењето и емоционални потешкотии | Изготвување на план за работа на УИТ | Септември | Одделенски предметни наставници | Наставни планови и програми | Идентификувани ученици | Стручни соработници |
| Континуирано да се подржуваат талентираните и надарените ученици | Изготвување и реализација на акционен план за надарени и талентирани ученици | Во текот на целата учебна година | Тим за надарени и талентирани ученици | Консултативно - советодавна работа | Целосна реализација на индивидуалните програми за работа со надарени и талентирани ученици | Марина Пазаркоска |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Континуирано да се подржуваат учениците со ПОП, потешкотии во учењето и емоционални потешкотии | Изготвување и реализација на акционен план за Училишен инклузивен тим | Во текот на целата учебна година | Училишен инклузивен тим | Консултативо -советодавна работа | Подобрување на постигањата, вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната | Стручни соработници |

- ***Училишен тим за поддршка на учениците и за евалуација на работата:***

1. **Адријана Младеновска – директор**
2. **Марина Пазаркоска – психолог**
3. **Габриела Ѓоршева – педагог**
4. **Душанка Китановска – предметен наставник**

## *Процедура за наградување ученици*

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува следnата процедура за наградување ученици:

*Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;*

*Ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успехво слободните ученички активности(натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонесво разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);*

*Предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет; На ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;*

*-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);*

*Пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;*

*За пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација.*

*Училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение.*

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професи, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси. Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и други активности поврзани со кариерното советување на учениците.Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Годишна програма за професионална ориентација на учениците дадена е во **Прилог 32.**

| **АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ<br>УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Следење** | | |
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инст.** | **Очекувани резултати** | **Одг. лице** | **□ x** | **Потр.буџет** |
| 1.Креирање политика за професионална ориентација на учениците | Изготвување на програма и акционен план | Јуни | Тим | Насоки за изготвување на годишна програма за работа на училиштето | Програма и акционен план | Правилен избор на струки и занимања | Тим | | |
| 2.Запознавање на учениците со различни професии и занимање и остварување контакти и соработка со бизнис секторот од локалната заедница | -Презентација, инфо-рмирање,творење и запознавање на учениците со различни професии и занимања - предавања од родители - организирани посети на компании од локалната заедница | Тековно | Наставници Ученици Родител Стручни лица со одредени занимања | Предавања, презентации, филмови, посета на институции, работилници | Презентација -power point, играње улоги, творење, анкета | Учениците се информирани со различните видови занимања и професии | Тим | | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Спознавање | Работилници за откривање на јаките и слабите страни на учениците, на | Тековно | наставници психолог | Писмени работи, ликовни творби, работилници | Презентации, анкета, тетратки, блок за цртање, | Стекнати сознанија за себе,чувство на задоволство од себе си и | Наставници и Одд раководители | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сопствените желби, интереси и афинитети, способности, ставови, верувања, вредности, вештини. | | | | ученичко портфолио Акциони планоци на наставници | почитта од другите, Зголемена самодоверба | | | |
| 4. Пребарување дополнителни информации за училишта и струки | - Истражување на различни струки преку пребарување на интернет и стручна литература - Истражување на средни училишта - Краток опис на истражувањето | март | одд. раководител наставник по информатика Ученици од IX одд. | Компјутер Интернет Стручна литература Интервјуа Хартија | / | Учениците се информирани со различните видови занимања и професии | Наст. по информат. ученици од 9 одд. | | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Анкетирање и примена на мерни иструменти за професионална ориенатција на ученици | -Примена на тестови за професионална ориентација<br>-Спроведување на анкета за учениците од IX одд. | Април- Мај | Психолог и соц. едукатор и рех. Педагог | Иструмент за запознавање на способностите и интересите на учениците, анкета, извештаи | Тест и анкета за професионална оринтација | Запознавање со способностите и интересите на учениците и и запознавање со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието | Психолог | | / |
| 6.Организирање средби со претставници од училиштата од град Скопје преку презентации | Организација на презентации на струки и занимања од средните училишта | Април<br>Мај | Средните училишта<br><br>психолог | Стручни лица од средните училишта Одд. раководители, презентации, флаери и | / | Стекнати подетални информации за тоа што го нудат училиштата | Тим | | / |
| од гимназиидржавни и приватни и средни стручни училишта | | | | др.пречатен материјал | | | | | |
| 7.Информирање за понудените училишта и струки во средното државно и приватно образование во РМ | Презентирање на конкурсот и условите за упис во средните училишта | Мај | Психолог Наставници | Конкурсот за упис во средните училишта, презентации, флаери | / | Запоз. на учениците и родителите за можностите ,условите,критериумите за упис во средно образование | Одделенски раководител Тим за професионална ориентација | | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Советодавна работа со учениците – советување и ориентирање | Групни и по потреба индивидуални советодавниконсултативни разговори со ученици и родители за нивните ставови ,намери и интереси за продолжување на образованието | Април Мај | Психолог Наставници | Психолошки мерни инструменти (тестови на општи интелектуални способности), анкети , извештаи | / | Правилно насочување и формирање на правилен став при изборот на идна струка и занимање | психолох | | / |

- ***<u>Училишен тим за професионална ориентација на учениците:</u>***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Габриела Ѓоршева-педагог**
3. **Жаклина Атанасовска-библиотекар**
4. **Марина Пазаркоска-психолог**

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

### ⇨ Превентивни програми

Со цел сузбивање на насилно однесување во нашата установа донесуваме програма мерки за зголемување на сигурноста во училиште под име “Афирмација на позитивни вредности против насилство” чија цел е:

*Афирмација на позитивни вредности;*
*Соочување со постоење на проблемот несигурност и насилство;*
*Развивање на самопочитување, самоконтрола и комуникациски вештини кај учениците и помош на учениците во животните определби;*
*Позитивно усмерување на користење на слободното време на учениците;*
*Учество во разни спортски активности;*

Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилст

Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно-образовните институции е сеопфатен и сложен процес во кој треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето, децата/ученици, родителите/старатели, како и локалната заедница и институциите. Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците, што претставува повреда на основните детски права.

***Првата цел*** е превенција на насилно однесување во училиштето односно мерки и активности за создавање на безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување пропишани преку Статутот и интерни акти во училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување

(кодекс на однесување на учениците во училиштето, протокол за справување со насилничко однесување).

⇨ **За спроведување на оваа цел, планирани се следниве активности:**

*Презентирање на кодексот на однесување на учениците во училиштето, правилникот за изрекување на педагошки мерки пред учениците и родителите и усвоената постапка за справување со насилничко однесување;*
*Објавување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и протоколот за справување со насилничко однесување на web страната на училиштето;*
*На секое ново вработено лице му се доставува протокол за справување со насилничко однесување;*
*Зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство преку вклучување на експерти од областа со свои предавања и обуки;*
*Едукативни работилници/презентации/предавања за родители за сите видови на насилство од прво, второ и трето ниво;*
*Едукација и подигање на свеста на учениците;*
*Организирање посебен влез и излез во деновите кога се среќаваат учениците од прва и втора смена;*

***Втората цел*** се однесува на препознавање на насилството и детекција на учениците кои вршат насилство.

⇨ **За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:**

*Препознавање на насилното однесување преку набљудување на промени кај учениците: физички, емотивни, промени во однесување;*
*Распоред со дежурства на наставници на критични точки во училиштето*
*Анонимна анкета за детекција на видови насилство во училиштето и ученици кои вршат насилство;*
*Поставување на кутија за анонимно пријавување;*
*Поставени камери во холови и ходници;*
*Ангажирано обезбедување;*
*Соработка со надлежни институции: МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи, Народен правобранител;*
*Утврдена постапка за пријавување на насилно однесување;*

*Преземање активности за прекин на насилното однесување и обезбедување сигурност на ученикот;*

***Третата цел*** на програмата опфаќа заштита и промена на однесувањето на ученикот сторител.

**⇨ За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:**

*Евиденција на учениците кои вршат насилство;*

*Формирање на тим за поддршка на ученикот;*

*Советодавна работа, психо-социјална помош и следење на ученикот сторител;*

*Советодавна-консултативна работа со родителот;*

*Изрекување на педагошка мерки;*

*Вклучување на претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, здравствени установи по потреба;*

***Четвртата цел*** на програмата опфаќа психо-социјална помош и заштита на ученици кои се жртви на насилство.

**⇨ За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:**

*Евиденција на учениците кои се жртви на насилство;*

*Пријавување во Меѓуопштински центар за социјална работа;*

*Советодавна работа, психо-социјална поддршка и следење на учениците жртви на насилство;*

*Вклучување на надлежни институции по потреба;*

## План за постапување во случај на насилство помеѓу децата и други кризни ситуации

Освен програмата за афирмација на позитивни вредности против насилство, како превентивна програма за спречување на насилство меѓу учениците, вработените во училиштето должни се да реагираат во случај на насилство меѓу децата, и други кризни ситуации на следниов начин:

1. Раздвојување на учениците кај кои се јавила конфликтна ситуација и смирување на истата.

2. Краток индивидуален разговор со скараните ученици, договор за заеднички разговор со родителите по наставата истиот ден (класен,предметни наставници).

3. Повикување на родителите на разговор.

4. Заеднички разговор на учениците, родителите, класниот, педагогот и договор за активности за превентивно делување (спречување на лошото однесување).

5. Во случај да не може да се совлада ситуацијата да се повика полиција.

6. Ако има потеба да се повика и Центарот за социјална работа.

План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација даден во **Прилог 34**.

## Училишна превентивна програма

**Цели:**

1. Да се намали интересот на младите за агресивно и ризично однесување.

2. Да се опфатат учениците со проблеми во однесување на релација ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-родител, деца со социјални проблеми, деца со проблеми во учење како и надарени и креативни ученици.

3. Афирмација на родителството – помош на родителите во секојдневните проблеми со децата помош во зацврстување на позитивни ставови, позитивна комуникација со децата.

4. Работа на наставниците на себе – секој наставник постојано да го истражува квалитетот на својата работа.

**Основни елементи на програмата:**
- Работа со родители – на односот кон своите деца семејните односи, родителствувањето, слободното време на децата, интересот кај децата;

**Работа со учениците:**

Да се развива свеста и потребата за здрав и квалитетн живот во здрава околина преку отворени и пријателски односи и комуникација ученик – наставник;

На секој ученик да му се овозможи да доживува успех (ова ја зајакнува самодовербата кај ученикот);

Ученикот не смее да се плаши нити срами од својот наставник;

Помош на децата со проблематично однесување преку креативни работилници;

Работилници преку програмата за животни вештини;

Отворен час за ученици и родители од страна на стручна служба и наставници;

Училиштето има изработено Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

- ***Безбедност во училиштето***

Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа:

Проценка на загРозаност од природни непогоди и други несреќи;

План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;

Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста).За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа),тим за против пожарна заштита и одржување,тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација. Училиштето планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди.

- ***<u>Училишн тим за работа со ранлива група на ученици:</u>***

1. **Марина Пазаркоска-психолог**
2. **Катерина Банџо-специјален едукатор и рехабилтатор**
3. **Габриела Ѓоршева-педагог**
4. **Елена Малинова-предметен наставник**

Годишна програма за работа со ранлива група на ученици е дадена во **Прилог 33а.**

Програма за антикорупциска едукација на учениците дадена во **Прилог 25.**

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

| Паралелки | Вид на оценување и календар на оценување |
|---|---|
| **I - III** | Описно преку цела година |
| **IV - VI** | Комбинирано (тримесечие и полугодие – описно; на крај година – бројчано) |
| **VII – IX** | Бројчано преку цела година |

На почетокот на учебната година се прави план за писменото оценување од страна на секој наставник (во дневникот на паралелката) имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи). Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставничкиот совет на училиштето има усвоено кодекс на оценување и училишни критериуми и стандарди за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Постигнувањата на учениците се оценуваат описно и бројчано. Оценувањето од I до III одделение е описно, а од IV до VI одделение описно (во прво, трето тримесечие и на полугодие) и бројчано (крај на наставната година) и само бројчано се оценуваат учениците од VII, VIII и IX одделение. Наставниците во своите планирања имаат испланирано дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Тие користат различни методи и форми за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците за формативно оценување (дискусија за време на часот, усна повратна информација, пишана повратна информација, сложеност на прашања, самооценување и оценување од страна на учениците, проекти, портфолио). Оценувањето е вградено во секој дел од секој час, и при тоа се применува критериумско сумативно оценување според усвоените критериуми на ниво на училиште (објективни тестови, есејски прашања, усни одговори, усни презентации, демонстрации, изведби и др.) Наставниците имаат

изработено критериуми, стандарди на оценување на ниво на наставен предмет и теми, користат инструменти за оценување. Со нив учениците се запознаваат и самите се креатори, на почетокот на реализација на наставната тема, во текот на часовите истите се истакнуваат на видно место во училниците, ги имаат во портфолиото на паралелката. Во своите дневни планирања наставниците издвојуваат сегменти од часот со цел учениците самостојно да изработат инструменти за оценување и учениците се поттикнуваат на самооценување и соученичко самоооценување.

⇨ **Опис на активностите:**

*Секој наставник ќе ги имплементира стандардите во оценувањето во својата програма и истите ќе ги применува цела година;*
*Секој наставник во секој класификационен период ќе поднесува на увид докази (инструменти) кои ги користел при оценувањето;*
*Секој наставник ќе го планира формативното (секојдневно во дневна подготовка и сумативното (на полугодие и на крај година) оценување;*

**Оценување на учениците со ПОП**

Оценувањето на учениците со ПОП се врши согласно Правилникот за оценување на учениците со попреченост од МОН. Начинот на оценување на секој ученик посебно се приспособува врз основа на неговите когнитивни способности, можности и начинот на изразување. Наставникот во процесот на оценување користи различни, специфични методи и инструменти за оценување кои се поврзани со целите односно резултатите од учењето, стандардите за оценување на постигањата на учениците, целта на оценувањето, видот на попреченоста и индивидуалните способности и можности на учениците. Во оценката се опфаќаат само показателите за постигањата на адаптираните резултати од учењето што се оценуваат согласно ИОП-от/модифицираната програма.

Во првиот воспитно-образовен период (I-III одд.), постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот воспитно-образовен период (IV-VI и VII-IX одд.) постигнувањата на учениците кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците со комплексни потреби кои следат настава според модифицирана програма се оценуваат описно во сите воспитно–образовни периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените

резултати од учењето и стандардите за оценување на индивидуалните постигања.

Во согласност со член 142 од Законот за основно образование, ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит. За ученик од шесто, седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиште е должно во јуни да организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми. Ученикот кој по одржаната дополнителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит. Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август. Ученикот кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

Во согласност став 144 од Законот за основно образование, ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет. За одобрување на полагање на одделенскиот испит, одлучува наставничкиот совет на училиштето.

Одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување ученикот го полага пред испитна комисија. Комисијата, е составена од претседател и два члена - наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

⇨ ***Комисија за повторна проверка на знаењето на учениците:***

1. **Тања Метикош-одделенски наставник**
2. **Катерина Лукарова-предметен настваник**
3. **Габриела Ѓоршева-педагог**
4. **Маја Величковска-предметен наставник**

⇨ ***Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување***

| **Одделенска настава** | | | |
|---|---|---|---|
| **Комисија I одделение** | | **Комисија II одделение** | |
| 1.<br>2.<br>3. | Тања Метикош-претседател<br>Елизабета Георгиевска-член Гордана<br>Павлова-член | 1.<br>2.<br>3. | Стефани Тоневска-претседател<br>Елизабета Ордевска-член<br>Виолета Стоилковска-член |
| **Англиски јазик I,II,III одделение** | | **Англиски јазик IV, V одделение** | |
| 1.<br>2.<br>3. | Тања Метикош-претседател<br>Елизабета Георгиевска-член<br>Андријана Недевска -член | 1.<br>2.<br>3. | Весна Димитриовска- претседател<br>Данче Костовска – член<br>Андријана Недевска-член |
| **Комисија III одделение** | | **Комисија IV одделение** | |
| 1.<br>2.<br>3. | Даниела Салтирова-претседател<br>Светлан Пешевска-член<br>Вилдана Суљовиќ-член | 1.<br>2.<br>3. | Весна Димитриовска- претседател<br>Данче Костовска – член Анета<br>Менчова-член |
| **Комисија V одделение** | | **Техничко образование и информатика V одделение** | |
| 1.<br>2.<br>3. | Христина Петровска-претседател<br>Билјана Јовчева-член<br>Весна Димовска-член | 1.<br>2.<br>3. | Христина Петровска-претседател<br>Билјана Јовчева-член<br>Фросина Јанакиевска-член |
| **Природни науки V одделение** | | | |
| 1.<br>2.<br>3. | Билјана Јовчева-претседател<br>Весна Димовска-член<br>Бојана Личева-член | | |

| **Предметна настава** | | |
|---|---|---|
| **Македонски јазик** | **Англиски јазик** | **Француски јазик** |
| Елена Малинова -претседател<br>Жаклина Атанасовска -член<br>Марија Шереметкоска-член | Весна Кочова -претседател<br>Катерина Лукарова-член<br>Андријана Недевска-член | Анета Митевска- претседател<br>Јасмина Ѓорѓиева -член<br>Весна Кочова-член |
| **Математика** | **Физика** | **Хемија** |
| Лиле Сарваноска-претседател<br>Билјана Стојановска-член<br>Јулија Атанасова-член | Александра Стојчевска -претседател<br>Билјана Стојановска-член<br>Лиле Сарваноска-член | Елена Томевска -претседател<br>Душанка Китановска-член<br>Бојана Личева-член |
| **Историја** | **Географија** | **Биологија** |
| Роза Јаневска -претседател<br>Магдалена Павлеска-член<br>Маја Б. Величковска - член | Маја Б. Величковска - претседател<br>Стевче Здравков ски-член<br>Огнен Симиќ-член | Душанка Китановска -претседател<br>Бојана М. Личева-испитувач Елена Томевска-член |
| **Природни науки** | **Техничко образование и информатика** | **Историја и општество** |
| Бојана Личева.-претседател<br>Душанка Китановска-член<br>Елена Томевска-член | Фросина Јанакиевска-претседател<br>Марина Пејковска- член<br>Јулија Атанасовска-член | Роза Јаневска -претседател<br>Магдалена Павлеска-член Огнен Симиќ - член |
| **Граѓанско образование** | **Етика** | **Класична култура** |
| Магдалена Павлеска-претседател<br>Роза Јаневска - член<br>Маја Б. Величковска - член | Радица Ц. Петковска-претседател<br>Даниела Ристевска -член<br>Елена Малиновса-член | Валентина Николовска-претседател<br>Даниела Ристевска -член<br>Радица Ц. Петковска -член |
| **Информатика** | **Проекти од информатика** | **Иновации** |

| | | |
|---|---|---|
| Марина Пејковска.-претседател<br>Билјана Стојановска-член<br>Лиле Сарваноска-член | Марина Пејковска.-претседател<br>Билјана Стојановска-член<br>Лиле Сарваноска-член | Елена Томевска-претседател<br>Јовица Димески-член<br>Катерина Лукарова-член |
| **Запознавање на религиите** | **Вештини на живеење** | **Проекти од ликовна уметност** |
| Даниела Ристевска -претседател<br>Радица Ц. Петковска -член<br>Валентина Николовска-член | Анета Митевска -претседател<br>Радица Ц. Петковска -член<br>Фросина Јанакиевска-член | Марија Н. Наневска -претседател<br>Катица Стојчевска-член<br>Марија Шереметкоска-член |
| **Ликовно образование** | **Физичко и здравствено образование** | **Музичко образоание** |
| Марија Н. Наневска -претседател<br>Катица Стојчевска-член<br>Марија Шереметкоска-член | Јовица Димески-претседател<br>Томислав Спасевски -член<br>Филип Петровски-член | Ванчо Јовчев претседател<br>Роза Јаневска -член<br>Весна Кочова-член |
| **Истражување на родниот крај** | | |
| Стевче Здравковски - претседател Маја<br>Б . Величковска -член<br>Огнен Симиќ-член | | |

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето има формирано тим во чиј состав влегуваат директор, стручната служба, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија. Овој тим ги следи сите планирани активности во училиштето. Се следи и се врши проверка на усогласеноста на оценувњето со предвидените стандарди, се утврдува процентот на поплаки и жалби по добиените оценки, се утврдува начинот на информирање на родителите и др. планирани активности. Тимот изготвува план на следење за секој период и наставен предмет. На крајот се прави една конечна анализа на состојбата, за да се процени дали предвиденото е реализирано за да се превземаат потребните чекори.Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката континуирано во текот на учебната година го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Истите се ги известуваат родителите односно старателите за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

⇨ ***Училишен тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди:***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Билјана Стојановска- предметен наставник**
4. **Весна Кочова-предметен наставник**
5. **Тања Метикош- одделенски наставник**

### Процедура за поплаки и жалби по добиени оцени

⇨ Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
⇨ Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишната оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
⇨ Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот.
⇨ Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.

⇨ За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.

⇨ Комисијата е составена од претседател и два члена испитувачи.

⇨ Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членовииспитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката и оценката на комисијата е конечна.

План за следење и анализа на состојбите со оценувањето е даден во **Прилог 34**

Корелација на различни предмети за реализација на наставните планови и програми е дадена во **Прилог 34а.**

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со цел да се следи и да се вреднува квалитетот на работата на наставниот кадар односно реализацијата на натавниот план и програма, целокупната воспитно-образовна работа како и исполнување на критериумите од сите подрачја на воспитно –образовната работа, директорот на училиштето и стручната служба реализираат посета на наставни часови и воннаставни активности. Истата овозможува доколку постојат одредени неправилности во работата на наставниот кадар навремено и успешно да се санираат и да се подигне квалитетот на работата на наставниот кадар и успехот на учениците.

**План на директор и стручен соработник за посета на наставни часови и воннаставни активности**

| **Р. Бр.** | **Активност** | **Цели** | **Инструменти** | **Временска Рамка** | **Очекувани резултати** | **Р** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Посета на наставен часодделенска настава | Следење на воспитнообразовната работата на наставницит е од одделенска настава.<br><br>Следење на реализацијат а на наставниот план и програма од страна наставницит е од одделнска настава. | Формулар за следење на наставен час.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Подобрување на работата на наставници.<br><br>Утврдување и навремено остранување на одредени недостатоци во работата. | Д<br><br>Г |
| **2.** | Посета на наставен часпредметна настава | Следење на воспитнообразовната работата на наставницит е од предметна настава.<br><br>Следење на реализацијат а на наставниот план и програма од страна наставницит е од предметна настава. | Формулар за следење на наставен час.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Подобрување на работата на наставниците .<br>Утврдување и навремено остранување на одредени недостатоци во работата. | Д<br><br>Г |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Посета на воннасатвни активностиодделенска настава | Следење на активностите и нивна реализацијавоннаставни активности. | Формулар за следење на воннаставни активности.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници. | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Постигања на наставниците. Отсранување на неправилности. | Д<br><br>Г |
| **4.** | Посета на воннаставни активностипредметна настава | Следење на активностите и нивна реализацијавоннаставни активности. | Формулар за следење на воннаставни активности.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Постигања на наставниците. Отсранување на неправилности | Д<br><br>Г |

*Критериуми за успех*: формирани комисии за оценување од ученици во сите паралелки, изготвена процедура за поплаки и жалби по добиена оцена, сите родители и ученици да бидат информирани за процедурата за поплаки и жалби по добиена оцена, 90% од наставниците квалитетно и објективно оценуваат, подобување на состојбата на оценувањето во однос на претходниот период и подобрување на резултатите во работата на наставниците во однос на претходната година.

*Инструменти:* евидентни листови, инструмент за компаративна анализа, сумарник.

*Индикатори за успешност*: формирани комисии за оценување од ученици, изготвени критериуми за оценување врз основа на стандардите на оценување, квалитетно формативно и сумативно оценување, изготвена процедура за поплаки и жалби по добиена оцена, информирани родители и ученици за работата на тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето на наставниците, квалитетно и објективно оценување на учениците од страна на наставниците, подобрена состојба на оценувањето, подобри резултати во работата на наставниците.

*Повратна информација*: тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето на наставниците дава повратна информација (извештај): за планирање на оценувањето, за поднесените приговори по добиена оцена, за следење и анализа на објективноста на оценувањето.

⇨ ***<u>Училишен тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди:</u>***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Билјана Стојановска- предметен наставник**
4. **Весна Кочова-предметен наставник**
5. **Тања Метикош- одделенски наставник**
6. **Катерина Банџо- специјален едукатор и рехабилитатор**

Програма за следење на педагошка евиденција е дадена во **Прилог 34б.**

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

### План за спроведување на самоевалуација и за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште

⇨ ***Клучни јаки страни***

Наставните планови и програми во целост се реализираат во пропишаниот обем.
Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.
Училиштето има разработени начини, преку кои ги информира родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите на НПП.
Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и инклузивен тим за ученици со ПП.
Училиштето им нуди на учениците избор на изборен предмет.
Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици.
Училиштето организира воннаставни активности за учениците поврзани со нивниот личен, социо-емоционален и психолошки развој. Наставникот води евиденција за присуство.
Секој квартал се прави анализа на успехот и поведението на учениците од различен пол , етничка припадност , одделенија, паралелки и по предмети и се врши споредба со претходната година на ниво на прво тромесечие,полугодие,трето тромесеците и крај на учебната година
Училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците како во нормални така и во вонредни услови
Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок

Наставниците им обезбедуваат подршка на учениците со потешкотии во учењето во редовната ,додатната и дополнителната настава.

Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците

Училиштето организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.

Училиштето бележи пораст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од реонот ,уклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности

Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните
институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште.

Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици што не го завршуваат образованието.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставниците и наставниот процес од страна на директорот и стручните соработници.

Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањето и наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува

потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, консултирање со експерти, користење на меѓународни искуства и др.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови/проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика како во нормални, така и во вонредни услови.

Наставниците користат наставни форми што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење .

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии (асистивна компјутерска технологија, лаборатории, машини, апарати и др.) и нив ги применуваат во наставата.

Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците индивидуално ,во парови,во групи или заедничка работа ,односно изборот е во склад со наставната содржина. При планирањето и реализацијата на наставата посебен акцент се става на активности кои потикнуваат критичко мислење ,анализа и решавање на проблеми.

Најголем број наставници користат различни ресурси и приоди за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература.

На учениците им се овозможува да работат и да напредуваат според сопствените можности. На децата што од кои било причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со приспособени програми и активности

Сите наставници редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на учениците во секоја фаза на учењето.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, таа редовно се применува, а секој наставник се потува на час најмалку двапати во полугодието од директорот или од стручните соработници. Постојат добри практики на размена на искуства преку следење наставни часови од колеги. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците.

Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење и овозможува учество на сите ученици независно од нивните разлики ( род, националност, способности, социјален статус)

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето

Учениците заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина и сметаат дека училиштето поттикнува соработка меѓу нив, почитување на различностите.

Во училиштето постои Процедура за идентификување и следење на учениците со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии и посебни потреби.

Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.

Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, вклучувајќи етички кодекс за оценување и Процедура за поплаки и жалби по добиени оценки. Основна цел е да се поддржи учењето на секој ученик.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување и сл. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со нив за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

За таа цел се користат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите

Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се превземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца.

Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат.

Во училиштето е овозможен безбеден престој на учениците.

Учениците и наставниците се горди што се дел од училиштето.

Постојат кодекси на однесување на сите структури во училиштето кои се применуваат подеднакво за сите.

Училиштето има Кодекс на однесување кој е усогласен со кодексите за однесување за време на кризна состојба.

Училиштето има процедура,правилник и критериуми за изрекување педагошки мерки на учениците.

Училиштето има Правилник за санкционирање на вработените за неизвршување на обврските,Правилник за утврдување на дисциплинска одговорност на наставниците и вработените заради непочитување на етичките кодекси во ООУ”Дане Крапчев” и Процедурата и критериумите за оценување на наставници.

Учениците се задоволни,среќни и прифатени од возрасните и другите ученици во паралелката и училиштето.

Односот помеѓу учениците и наставниците е заснован на меѓусебно почитување и соработка.

Постои работна атмосфера на часовите и воннаставните активности.

Училиштето води грижа за однесувањето на децата и возрасните во превенција од насилство.

Училиштето има демократски избран Ученички парламент преку кој учениците директно се вклучени во решавањето проблеми и донесувањето одлуки,преку присуство на двајца претставници на Совет на наставници,Совет на родители и УО.

Училиштето има разработено систем на промовирање на личните постигања на учениците во училиштето и надвор од него.

Нашето училиште е единствено училиште со ученички блог кој е креиран на барање на учениците со цел промовирање на ученичките трудови.

Преку проектот HEAD Училишниот инклузивен тим реализираше акциско истражување насловено “Прифаќање и почитување на различностите” кое беше објавено во прирачникот “Акциско истражување за инклузивна училишна култура”.

Училиштето има Правилник за пофалби и награди на ученици во кој се имплементирани Критериуми за пофалби и награди на учениците и прогласување на првенец на генерација.

Училиштето има Правилник за доделување признанија на вработените.

Учениците сметаат дека во училиштето можат да ги искажат своите интереси и креативни потенцијали.

Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата.

Училиштето има систем за поддршка и помош на наставниците подеднакво да ги третираат сите ученици.

Во училиштето има сензорна соба за стимулација, интеграција и учење на ученици со попреченост и потешкотии во учење.

Учениците сметаат дека во училиштето не постои дискриминација.

Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.

Училиштето воспостави и модел на Ученик правобранител и заменик ученик правобранител чија функција е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права.

Постои Тим за подобрување и продлабочување на соработка со родителите кој има изработена стратегија за подобрување на соработката со родителите.

На родителите им се овозможува вклучување во наставните и воннаставните активности.

Родителите се горди што се дел од училиштето,а наставниот кадар ужива респект кај родителите.
Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.
Училиштето има успешна соработка со локалната , деловната заедница и невладиниот сектор.
Максимална искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и воннаставни активности;
Бројот и структурата на наставниот кадар овозможува квалитетна реализација на училишната програма;
Училиштето максимално е заштитено од непожелни надворешни лица и кражби во времето кога нема настава во него;
Комплетно уредена библиотека-медијатека со електронски наставни средства и помагала, разновидна литература и литература на различни јазици;
Достапност на учениците до библиотеката-медијатека за извршување на домашните задачи(достапен интернет и литература во тврда и е-форма)

Ефективна употреба на наставни средства и помагала, користење на интерактивни табли во наставата и вон наставата, како и асистивна технологија, Сензорна соба и тивко место- „Пријателски места за аутизам и други специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби;
Подобрени материјално-технички услови за работа на стручните соработници како и посебна работна просторија за децата со ПОП;
На наставниците им е овозможено постојано стручно усовршување преку учество на семинари и обуки;
Професионалниот развој на наставниците се темели врз постојано учење и усовршување во текот на работата како и преку работа и учење едни со други со што се обезбедува размена на знаењата и нивна практична и директна примена
Училиштето има стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност
Транспарентно,контролирано и добро спроведувано финансиско работење;
Се води евиденција на постојните и потребните наставни средства и помагала и се одредуваат приоритетните потреби;
Органицацијата на работата на Училишниот одбор
Организацијата на работата на Раководниот орган во училиштето

Функционирање на координативно тело за следење на работата на училиштето
Максимална искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и воннаставни активности
Комплетно променета дограма,кров и термо фасада со која се обезбедува поголема енергетска ефикасност
Промена на подот на фискултурната сала и помошната просторија со гумен под и комплетно молерисување и фарбање
Отворање на сензорна соба во нашето училиште во рамки на проектите „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ и „И јас имам глас“.
Обезбедување стабилен оптички интернет за непречено изведување на он лајн настава
Опремување на наставниците со лап топ компјутери,принтери и тонери .
Обезбедување таблет уреди за ученици од ранливи категории
Обезбадување смарт табли за секоја училница.

⇨ ***Слабости***

Наставниот кадар со кој располагаме не е доволен за изведување продолжен престој на ученици од различни паралелки во услови на пандемија поради мерките за недозволено мешање на ученици од различни паралелки.

Изградба на пристапни рампи, лифтови, приспособени тоалети пристапни за учениците со телесни пречки во развојот Набавка на стручна литература, прирачници и слободна литература за различни возрасти и активности со кои ќе се поттикне желбата за читање кај децата на друга литература,не само лектирни изданија

Изнаоѓање начин за достапност на училишната библиотека и за родителите на нашите ученици

Набавка на историски и географски карти според потребите по предметите историја и географија

Уредување на задниот дел од училиштето- обнова на игралиштето каде децата изведуваат настава по физичко образование

⇨ ***Членови на комисија за самоевалуација:***

1. **Лиле Сарваноска- предметен наставник**
2. **Наташа Јосимовска Георгиева - одд.наставник**
3. **Тања Метикош - одд.наставник**
4. **Габриела Ѓоршевска – педагог**
5. **Лидија Стојменовиќ - родител**

Програма за самоевалуација на училиштето е дадена во **Прилог 35.**

# 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е должно да создаде услови и да ги превземе сите мерки за за безбеден престој на учениците во училиштето. За таа цел во текот на целата учебна година се реализираат голем број предавања од страна на Министерството за внатрешни работи кои едукативно влијаат за зголемување на свеста кај учениците за лична безбедност, како и од стручната служба на училиштето. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето, а посебно на директорот, стручните соработници и наставниците. Особено големо значење за безбедноста на учениците имаат претставниците на Агенцијата за обезбедување на училиштето. Сепак најдобар систем за безбедност и заштита на учениците претставува почитувањето на куќниот ред на училиштето, а тоа се постигнува со воспитно влијание. Особена улога за безбедноста на учениците имаат и дежурните наставници определени во распоред на наставни часови.

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ
## (во случај на различни елементарни непогоди или критични состојби)

По забележување на ситуацијата или добивање информација за (земјотрес, пожар, терористичка закана и слично), директорот го информира својот тим (секретар, педагог, психолог, хаусмајстори, чувар и хигиеничари) да ги информираат класните раководители без никакво објаснување за мирно и најбрзо евакуирање на учениците без да се понесе нешто од страна на учениците.

Имено:

Директорот ги информира информира секретар, педагог, психолог, хаусмајстори, чувар и хигиеничари;

Прво хигеничарите отвораат вратите (задни) – излези од училиштето.

Хаусмајстори и чувар ги отвараат две (главен влез) предни врати-излез и странична врата-излез.

Секретарот информира во Зона 1 ги опфаќа просториите на приземјето, лево од централниот хол.

Хаусмајстор информира во Зона 2 ги опфаќа просториите на приземјето, кои се десно од централниот хол.

Педагогот информира во Зона 4-просториите на спратот (училници и канцеларии), кои се десно и над централниот хол.

Секретар информира во Зона 3-ги опфаќа просториите на спратот (училници), кои се лево од централниот хол.

Директорот и секретарот ги собираат најпотребните документи.
Обучено лице/наставник известува во Зона 5-ја опфаќа евакуацијата од подрумот и ја зема опремата за прва помош;

Учениците се носат што подалеку од објектот, се собираат на игралиштето во училишниот двор. Потоа по завршувањето на опасноста организирано се праќаат дома. Во случаи на пожар евакуацијата оди по истиот план само што домаќинот и дел од присутните наставници ги активираат противпожарните апарати и санираат доколку пожарот е од локален карактер. Во секој случај предност има евакуацијата на учениците и документацијата од трајна вредност.

Училиштето има план за заштита и спасување на учениците и вработените од природни непогоди и други несреќи и наставници сертифицирани за прва помош.

Во случај на евентуален пожар или друг вид на загРозаност обезбедени се прописни излези за вработените и учениците при што е овозможена евакуација преку ходниците и скалите од подрумот, призмјето и спратот. Во планот за евакуација точно се утврдени и назначени правецот на движење, излезите, просторот за ПП-апарати, сандачиња за прва помош, ѕиден хидрант и зборно место.

Во планот за евакуација постојат 5 зони и 7 излези.

Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во **ПРИЛОГ 36**.

Планот за евакуација е даден во **ПРИЛОГ 36а.**

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

| | **АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| Обучување на наставниците за пружање прва помош | Курсеви за прва помош | Во текот на учебната година | Акредитирани организации | Следење на курс за прва помош | Сертифицирани наставници за прва помош | Директор |
| Обучување на вработените во училиштето за безбедност и здравје при работа | Обука на вработените во училиштето за безбедност и здравје | Секоја трета година | Акредитирани организации | Следење на обука | Обучени наставници | Директор |
| Унапредување на знаењата на учениците за пружање прва помош | Информативно и едукативно предавање на учениците за прва помош и заштита | Октомври | Одговорни наставници, Ученици, членови на Црвен Крст | Информативно и едукативно предавање | Информирани ученици за побезбедна лична и колективна заштита | Училишниот тим за црвен крст |
| Унапредување на знаењата на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи | Информативно и едукативно предавање на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи | Февруари | Претставници од Црвен крст/ одговорни наставници Сите ученици И наставници | Информативно и едукативно предавање | Информирани ученици за начините на превенција и заштита од природни и други несреќи | Училишниот тим за црвен крст |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др) | Спроведување интерна вежба за евакуација | Еднаш годишно | ученици, вработени, | Реализација на вежбата за евакуација | Практично обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи | Директор |
| Подготовки за спроведување вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др) | Да се организира вежба за евакуација | Февруари | вработени, претставници од полиција, противпожарна единица, брза помош | -Информирање на сите субејкти во и околу училиштето за вежбата за евакуација - Организација и логистика за спроведување на вежбата | Добро организирана вежба за евакуација | Директор |
| Спроведување вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др) | Спроведување на вежба за евакуација | Март | ученици, вработени, претставници од црвен крст, полиција, противпожарна единица, брза помош | Реализација на вежбата за евакуација | Успешно реализирана евакуација | Директор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Евалуација на вежба по нејзината реализација | Проценка на успешноста по реализацијата на вежбата за евакуација | Март | Вработени, полиција, противпожарна единица брза помош | анализа на успешноста од спроведената вежба | Унапредени компетенции на учениците и вработените за практична | Директор |
| | | | | | примена на превенција и заштита од природни и други несреќи | |

# 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

## ГРИЖА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Заштитата на унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето. Програмата за заштита и унапредувањето на здравјето ги вклучува сите аспекти во животот на училиштето. Во нашето училиште целта на програмата е да се оспособат учениците и вработените да превземаат акции за поздрав живот.

Со оглед на комплексноста на категоријата “здравје” содржините во рамките на училишната здравствена политика ги групиравме во три подрачја и тоа:

- ⇨ **Унапредување на здравјето во физичка смисла;**
- ⇨ **Унапредување на менталното здравје;**
- ⇨ **Социјално (општествено) здравје;**

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител, слободните активности, прегледи и предавања од страна на стручни надворешни лица.Програмираните содржини ќе ги реализираат наставниците, педагогот, социјалните работници, лекар и друго.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува од страна на техничката служба преку редовно и континуирано чистење и дезифинцирање на сите простории во училиштето како и на целокупниот инвентар и наставни нагледни средства, при тоа се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. Редовно се менуваат средствата за хигиена во тоалетите, а отпадот се пакува и се фрла на соодветно поставени места. За одржување на хигиената во училиштето се грижи и целокупниот наставен кадар како и самите ученици.

### 18.2. Систематски прегледи

Согласно Програмата од Министерството за здравство за задолжителен систематски преглед на учениците, оваа учебна година систематскиот преглед на учениците ќе бидат реализирани според планот на здравствената организација. Тие ќе се реализираат без да се попречува наставата пред/по

завршувањето на часовите, а ќе бидат опфатени учениците од I, III, V, VIIи IX одделение. Ќе ги придружуваат одделенските/класните раководители.

**18.3. Вакцинирање**

Согласно Програмата од Министерството за здравство за задолжителна имунизација на учениците, оваа учебна година вакцинацијата на учениците ќе бидат реализирани според планот на здравствената организација

Според насоките дадени од Министерството се забранува вакцинација во училиштата поради несакани ефекти. Истите се реализираат во Поликлиника „Ченто“ во присуство на одделенските/класните раководители и родителите на учениците.

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од:

Прво одделение – ноември;
Второ одделение – септември;
Трето одделение - март;
Шестто одделение – само девојчиња ( со согласност од родител);
Осмо одделение – септември;

⇨ **Вкцинирање во учебна 2023/24 година:**

Прво одделение -вакцина МРП, сипаници;
Второ одделение - ревакцина ДТ плус полио,прво полугодие и / ППД проба за туберкулоза и БЦГ Туберкулоза вакцина второ полугодие;
Шесто одделение-вакцина ХПВ за девојчиња и тоа,прва и втора доза во прво полугодие и трета доза во второ полугодие;
Осмо одделение /прво полугодие ДТ плус полио/второ полугодие за девојчиња рубеола,вакцина;

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Организацијата на оброците за учениците во училиштето ќе биде спроведена според Правилник за стандардите за исхрана и за оброците. Целта е овие стандарди да придонесат за редуцирање на лошите навики по здравјето на учениците поради неправилната исхрана и појава на прекумерна телесна тежина (членот 3 од овој правилник). Со посебна процедура и критериуми се избира кој ќе ги подготвува оброците за учениците. Во постапката активно е вклучена посебна комисија и родители.

Наставните содржини за здравата исхрана во одделенска настава ќе се реализираат на часовите по запознавање на околината и по природни науки, а во предметна настава на часовите по биологија и на одделенскиот час.Ќе се организираат едукативни предавања од стручни предавачи како и родители кои што се едуцирани за соодветни теми. Ќе се организираат повеќе предавања во однос на здрава исхрана преку целата година кои ќе бидат интегрирани со наставните содржини (преку Образование за животни вештини, Зелен пакет јуниор, часови со Еко – стандарди, часови по биологија).

**План за заштита од заразни болести**

1. Планот се донесува заради обезбедување на заштита на учениците и вработените од заразни болести:

- ⇨ Во учебната 2023/24 година во ООУ „Дане Крапчев" наставата ќе ја посетуваат 748 ученика и 72 вработени.
- ⇨ Директорот го назначува лицето Марина Пазаркоска-училишен психолог за следење на состојбата на заразни болести, евиденција и контактирање со надлежните институции при евентуална појава на истите. Контакт тел: 02/ 2525-292;
- ⇨ Вработените во училиштето задолжително треба да ги извршат здравствено-санитарните прегледи согласно важечките законски прописи.
- ⇨ Финансиски средства за извршување на здравствено-санитарните прегледи обезбедува училиштето.
- ⇨ Превентивна Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се врши еднаш годишно, а ја реализира овластена фирма.
- ⇨ Директорот го назначува лицето Орце Милошевски- хаусмајстор во училиштето за следење и контрола на извршувањето на ДДД. Контакт тел: 02/ 2525-292; 071/256-435.
- ⇨ Финансиски средства за извршување на ДДД обезбедува училиштето.
- ⇨ Директорот го назначува лицето Олгица Лавовска во училиштето за прием, евиденција и поделба на ужинката на учениците.

**Директор**
**м-р Адријана Младеновска**

Годишната програма за грижа за здравјето на учениците е дадена во **Прилог 37.**

Годишната програма за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во **Прилог 37а.**

# 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците.Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовитеи за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците иучилишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

Контрола во училиштето и во училишниот двор спроведуваат дежурните наставници и лицето од обезбедувањето. Секојдневно се води писмена евиденција за тековните збиднувања во текот на работниот ден.

Распоред на дежурни наставници е даден во **Прилог 38.**

**Акционен план за подобрување на училишната дисциплина**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето | Директор, Одговорен наставник за распоред на часови | Август | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор, Одговорен наставник за распоред на часови | Август | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на УЗ | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Училишната заедница и претседателите на УЗ на паралелките | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

**Одговорени лица за следење**: директор, одделенски раководители, стручни соработници.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетско, функционално и тематско уредување на училниците и ходниците во училиштето се спроведува континуирано.
Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани за чија реализација еодговорен Тимот за

еколошка едукација и за естетско уредување на училиштето. Тој тиме составен од вработените и претставници од ученичкиот парламент кој го изработува и планот за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштетот.

- ***Училишен тим за еколошка едукација и естетско уредување на просторот на училиштето:***

**1.Данче Костовска – одделенски наставник**

**2.Марија Н.Николовска – предметен наставник**

**3.Анета Менчова - одделенски наставник**

**4. Душанка Китановска- предметен наставник**

## Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Потребни ресури | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставници и ученици | На почетокот и во текот на целата учебна година | Пано, шпенагли, лепак, простор | Одбележани значајни датуми и поводи |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Поттикнување на учениците за творење | Одговорни наставници ученици | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Работен материјал, патеријал, простор | Естетско уредени училници и ходници<br><br>Развиени естетски вредности кај учениците |
| Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието | Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците | Наставници Ученици родители | Во текот на учебната година | Додатна литература за екологија, простор за изложба, материјал, лепак, ножици | Развиена еколошка свест кај ученици за реупотреба на материјали<br><br>Развиени претприемачки вештини |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во | Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање | Одговорни наставници и учениците | Октомври , март | Сезонски саднци, работен материјал, кеси и корпи за | Развиена еколошка свест кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| училишниот двор | | | | отпадоци, ракавици | |

## 19.3. Етички кодекси

Врз основа на член 19, став 3, од Законот за наставници во основните училишта (Сл.вес.на Р.С.Македонија бр.161/19,269/20) се донесоа Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните училишта. Примарна цел на училиштето е да ги научи учениците, а оценувањето има за цел да го подобри учењето и постигањето. Етички определби вонашето училиште е да се промовираат високи морални вредности, професионален однос кон сите засегнати субјекти во училиштето (ученици, родители/старатели, колеги и кон наставничката професија). Наставниците да бидат пример за учениците, да бидат објективни и подготвени во секое време да им дадат подршка и помош на учениците и тоа:

создавање можности за сите да учат и напредуваат;

меѓусебниот односот да биде базиран на грижа и почит;

кон учениците да се однесува непристрасно и професионално; Во тој контекст професионалното однесување на наставниците треба да се води од следниве вредности:

еднаквост, инклузивност и правичност; одговорност, доверба и интегритет.

Учениците пак да се залагаат за правилно и фер оценување на сите ученици и да се спротистават, а појави кои доведуваат до неправилно оценување. Родителите да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца. Директорот и стручната служба да создадат култура на правилно и фер оценување во училиштето, да ги зашитат правата на приватност при оценување во училиштето како и да спречат евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето во училиштето.

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители). Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Тие се :

Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;

Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;

Разгледан и усвоен е и Етичкиот кодекс за тестирањето, а изготвен и прифатен е и Еко-кодекс.

Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите. Се определува временски рок – прво полугодие, за најмалку едно иновирање на текстот на етичкиот кодекс на учениците, наставниците, другите вработени и родителите.

Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите (во училиштето и во училишниот двор) е даден во **Прилог 39.**

Програма за работа на Еко-патролата е дадена во **Прилог 23.**

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел да се подигне квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка на вработените во училиштето, ќе остваруваат формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето ќе се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.) Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и учениците. Повеќето ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите структури во училиштето. За таа цел ќе се реализираат обуки за подобрување на комуникациските вештини, ќе се организираат заеднички дружења, прослави, екскурзии, коктели и сл. Се формира тим составен од претставници на сите структури, кој прави анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето и ќе предложи конкретни активности.

⇨ ***Училишен тим за односи меѓу сите структури во училиштето:***

1. **Адријана Младеновска- директор**
2. **Сузана Филиповска-секретар**

3. **Марина Пазаркоска-психолог**
4. **Катерина Банџо-специјален едукатори рехабилитатот**
5. **Анета Менчова-одделенски наставник**
6. **Андријана Недевска-предметн наставник**
7. **Валентина Јосимовска -технички персонал**

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Врз основа на детектираните потреби и приоритети за професионален развој на воспитно – образовниот кадар од страна на тимот за професионален развој на училиштетои како резултат на анализата на самоевалуацијата, интегралната евалуација и следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните работници, утврдени се следниве потреби и приоритети:

Поголем проток на информации до родителите и учениците со цел нивна поголема информираност во однос на програмите за учениците со посебни образовни потреби;

Почесто користење на пофалувањето и препораки за подобрување на успехот на секој ученик посебно од страна на наставниците;

Да се обучат наставниците за тимска работа;

Да се подигне свеста на наставниците со цел да дадат максимален придонес во креирањето научилишната политика;

Да се организираат повеќе активности во кои ќе учествуваат и соработуваат родителите и учениците од различна етничка припадност;

Да се купат лап топи за непрекината практична работа во сите сегменти од наставата во кои има потреба од примена на компјутери и компјутерска технологија;

Професионално и стручно доусовршување на наставниците;

Организирање на обуки за работа со деца со посебни потреби и поголема соработка со дефектолог;

Организирање на курсеви за совладување на странски јазици од страна на наставниците

Да се изнајде начин за мотивирање и наградување на наставниците без употреба на материјални средства;

Да се организираат соодветни интерни и надворешни обуки на наставниците за работа со ученци со посебни потреби.

Тимот за професионален развој на училиштето, изготвува програма за професионален развој за учебната година врз основа на потребите на наставниците. Училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да посетуваат обуки и семинари кои се одобрени од МОН и БРО. Редовно се вршат десиминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

***О Училишен тим за професионален развој на воспитно-образовниот кадар:***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Габриела Ѓоршева-педагог**
3. **Марина Пазаркоска -психолог**
4. **Катерина Лукарова-предметен наставник**

### 20.2. Активности за професионален развој

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19,269/20), министерот за образование и наука донесе Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта.Според законот за наставници, наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат, затоа годинава ќе се спроведе анкета за потреба од обуки и ќе се овозможи стручно усовршување според потребите на наставниците и нивниот професионален план за развој. Годишната програма за професионален и кариерен развој на воспитнообразовниот кадар е дадена во **Прилог 40.**

### 20.3. Личен професионален развој

Врз основа на член 3, од Правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта во делот планирање на професионалниот развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 10 септември за тековната учебна година до тимот за

професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма. Личниот и професионалниот развој на наставницитесе следи преку нивното професионално досие и се развива преку следење на семинари, обуки, учества на конференции, десиминации на обуки. Секоја година наставниците и стручната служба и директорот изработуваат свој Личен план за професионален развој според стандарди и компетенции за директор/наставници/стручни соработници, а потоа на ниво на стручни активи се изработува една Годишна програма на училиштето за професионален развој.

## 20.4. Хоризонтално учење

Во текот на целата наставна година се планираат различни активности за продлабочување на стручните знаења и зајакнување на професионалните вештини. Се одржуваат отворени часови за размена на професионални искуства, примена на новини во образованието, преку стручни активи и заедници за учење. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење и критериуми за успех.

**Акциски план за хоризонтално учење**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | наставниот кадар, стручна служба | Во текот на цела година | Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | наставниот кадар, стручна служба | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурси во наставата |

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес кој започнува со учеството на наставникот во Стручните активи каде се разменуваат искуства

и нови сознанија. Согласно потребите на наставниците во оваа учебна година планирани се следните обуки:

Работа со деца со посебни образовни потреби;
Работа со надарени деца;
Претприемничко учење;
Обуки за современи приоди во наставата.
Аплицирање на еразмус проекти;

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

**План за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување**

| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Посета на задолжителни семинари организирани од МОН и БРО | Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности | Обучувачи Училишен координатор | Во текот на учебната година | Стекнување нови и продлабочен и знаења од страна на наставниците |
| Идентификација на надарени деца | Препознавање на надарени деца, избор на соодветни методи, форми и техники за работа со нив и нивно вклучување во додатна настава | Педагог | Ноември | Примена на соодветни форми, методи и техники во работата со надарените деца Учество на натпревари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тимска работа | Запознавање со принципите на тимска работа и улогите во тимот | Педагог | Јануари | Подобрување на училишната клима и квалитетот на воспитно образовниот процес преку примена на принципите на тимско |

# 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во програмата за работа на Советот на родители е наведено како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите во животот и работата на училиштето (дефекти и поправки на инвентарот, подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите). Истакнат е распоред за средби со родители и отворен ден за прием на родители.

Годишна програма за работа на Совет на родители е дадена во прилог **Прилог 7.**

*Распоред за приемни денови на родители ќе се приложи со анекс на 1 Септември (според член 15 од Правилникот за развојна и годишна програма, усвоената годишна програма може да се измени и дополнува во текот на имплементацијата).*

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Секој одделенски раководител ги планира родителските средби (во годишната програма), вклученоста на родителите преку давање мислења и

наставната програма којашто е предложена во делот активности и методи, доминираат разновидни активности, кои имаат цел децата да ги разберат содржините, да ги анализираат и разберат поимите и појавите кои треба да им помогнат полесно да се вклучат во општествениот живот, како и да ги практикуваат стекнатите знаења.



**О Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:**

- ⇨ Предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;
- ⇨ Работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;
- ⇨ Пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;
- ⇨ Запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;
- ⇨ Организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;
- ⇨ Антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;
- ⇨ Покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата;

***Целите*** кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество. **О Општи цели:**

Ученикот/ученичката е потребно:

- ⇨ Да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- ⇨ Да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- ⇨ Да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- ⇨ Да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- ⇨ Да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

- ⇨ Да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција воРепублика Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- ⇨ Да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- ⇨ Да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација;
- ⇨ Да се стави во улога на активен граѓани, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија;

| | **Акционен план за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта - “СТОП ЗА КОРУПЦИЈАТА“** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Следење** | | |
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инст** | **Очекувани резултати** | **Одг. лице** | **x** | **Потребен буџет** |
| Планирање на активности за успешна реализиција на антикорупциска едукација на учениците во основните училишта | Изработка на акционен план | Јули | Одделенски и предметни наставници | Web страна на Државната комисија за спречување на корупција<br>Програма и прирачник за антикорупциска едукација | / | Успешно реализирани активности од проектот | Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се утврдат предзнаењата на учениците од предметна настава за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата | -Спроведување на анкетен прашалник за учениците од VI одделение<br>-Анализа на анкетниот прашалник | Септември | Одговорен наставник<br>Ученици | Анкетен прашалник<br>Извештај од анализата на резултатите од анкетниот прашалник | / | Утврдени предзнаења на учениците за корупцијата како негативна појава во општеството | Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се информираат родителите за реализација на активностите како дел од проектот | Родителска средба- Запознавање на родителите со целите на проектот и активностите кои ќе се превземат во училиштето | Септември | Одделенски раководители од IV до IX одд.<br><br>Одделенски наставници IV и V одделение | Акционен план за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта | / | Родителите се запознаени со планираните активности од Проектот за антикорупциска едукација на | Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е | | **X** |
| | како дел од проектот | | | | | учениците во основните училишта | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да го идентификува штетното влијание на корупцијата при процесот на вработување на луѓето и последиците од истото врз општеството | -дискусија присуството на корупцијата при вработувањето и негативните последици врз развојот на општеството | Септември | Предметен наставник по иновации и ученици од IX одд | Презентација, компјутер, интернет конекција, работни листови | Чек листа | - го идентификува штетното влијание на корупцијата при процесот на вработување на последиците од истото врз општеството | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |
| Да се доближи терминот корупција и антикорупција до учениците | Запознавање на учениците со терминот корупција и антикорупција и начините за заштита и борба против корупцијата преку презентација | Октомври | одделенски наставници IV одд. | Презентација Компјутер ЛЦД проектор учебник – Историја и општество | Чек листа | - освојување на терминот корупција и антикорупција - ги знаат механизмите за заштита од корупција - ги имаат | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | воочено штетните последици од корупцијата | | | |
| Да се поттикнат учениците да развијат критички став кон корупцијата како штетна појава во општеството која ја руши демократијата и создава нееднаквост | Изведба на драмски текст –Стоп за корупцијата<br><br>Дебата | Ноември | Наставник по Историја и граѓанско образ.<br><br>Ученици од VIII | Драмски текст-Стоп за корупцијата<br><br>Примери за корупција | / | Учениците имаат развиено критички став кон корупцијата како штетна појава во општеството која ја руши демократијата исоздава нееднаквост | Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да споделат искуства од секојдневниот живот каде има инволвираност на корумпираност и воедно подигање на свеста преку воочување како негативна појава од етички и морален аспект | Работа во групи<br>Игровни активности<br>Анализа на ситуација<br>Дискусија | Декември | Предметен наставник по<br>Етика<br>Ученици од VII одд | Компјутер, интернет,<br>аудио-визуелни средства, различни видови информации<br>Драматизација<br>Дебата | / | Учениците:<br>-Ја претставуваат корупцијата како негативна појава во општестото -<br>Разбираат дека можат да имаат активна улога и индивидуално да придонесат во борбата против корупцијата | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поттикнување на учениците да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството | Творење и изложување на ликовните творби на тема повразана со корупцијата | Септември<br><br>Јануари<br><br>Февруари<br><br>Март | Одделенски наставници IV, V одд.<br><br>Наставник по ликовно образование<br><br>Ученици од IV до IX одделение | Изработени ликовни творби | / | Учениците:<br><br>-ја претставуваат корупцијата како негативна појава во општестото<br><br>-Разбираат дека можат да имаат активна улога и индивидуално да придонесат во борбата против корупцијата | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поттикнување на учениците да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството | Творење на литературни творби на тема поврзана со корупцијата | Март | Наставници по македонски јазик<br>Ученици од VI до IX одделение | Изработени литературни творби | / | Учениците :<br>-ја претставуваат корупцијата како негативна појава во општестото - Разбираат дека можат да имаат активна улога и индивидуално да придонесат во борбата против корупцијата | Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да го идентификуваат штетното влијание на корупцијата за развојот на личноста, групата и општеството; да анализираат механизми за спречување на корупција и заштита од коруптивни дејства | -Анализа на ситуации со коруптивно однесување | Април | Наставник по Граѓанско образование и ученици од IX одделение | Хартија<br><br>Работни листови | чек листа | Учениците: умеат да определат , прекршени човекови права во ситуација на корупција; предлагаат етички начини за справување со ситуации на социјален притисок | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се доближи терминот корупција и антикорупција преку предавање од стручно лице | Предавање од стручнолице за корупцијата , антикорупцијата и начините за заштита и борба против корупцијата | Април | Одделенски наставници IV , V одд.<br>Одделенски раководители од<br>VI до IX одд. | Презентација на информации од стручно лице | / | Имаат создадено јасна претстава за поимот корупција, штетните последици од неа и механизмите за заштита | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |
| Да го разберат штетното влијание на корупцијата при набавка на материјали | Решавање проблемски ситуации, истражување и дискутираат за правилникот и стандардите за набавка на материјали и можноста за појава на корупција. | Мај | -Предметен наставник по физика и ученици од VIII одд и IX одд. | -ЛЦД, компјутер, презентација Impress, материјали за изработка на макета на куќа,чек листа | Чек листа | Учениците:<br>-го имаат воочено појавувањето на корупција при набавката на материјали | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознаат и да развијат критички став кон појавите на корупција за културното наследство во античките градови на тлото на Македонија | Запознавање со корупцијата со античкото наследство и начините за заштита и борба против корупцијата - Стоп на корупција- Дебата | Мај | Наставник по Класична култура во европската цивилизација Ученици од VI - одделение | Дебата | Чек листа | - Учениците имаат развиено критички став кон појавите на корупција за културното наследство во античките градови на тлото на Македонија | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |
| Учениците да се оспособат да одолеат на корупцијата како еден вид на социјален притисок | Реализација на работилници во рамките на одделенскиот час од Програмата за животни вештини | Континуирано во текот на учебната година | Одделенски раководители од VI до IX одд | Прирачник и работни листови за животни вештини | / | Учениците умеат да се спротивстават на корупцијата како еден вид на социјален притисок | Тим за Антикорупциска едукација на учениците | | **X** |

⇨ ***Одоговорни наставници***

1. **Роза Јаневска-предметен наставник**
2. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**

**ПРИЛОГ 26**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦРВЕН КРСТ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| | **АКЦИОНЕН ПЛАН НА ТИМОТ ЗА ЦРВЕН КРСТ 2023/2024год.** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Следење** | |
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Потребен буџет** |
| 1. Да се изберат одделенски одбори на ПЦК | Избирање т.е ажурирање членството од одделенски одбори на ПЦК | Септември | Одговорни наставници, ученици и одд.раководители | Одделенски наставници | Список на членови | Избор на одбор на ПЦК | Б.М.Личева В.Димитровска | Х |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Информативно и едукативно предавање на учениците за одржување на лична хигиена и хигиена во училиштето согласно насоките од здравствената струка | Да се спроведе информативно и едукативно предавање на учениците за одржување на лична хигиена и хигиената во училиштето | Септември | Одговорни наставници, одд.раководители | Информативно и едукативно предавање | / | Редовно и правилно одржување на хигиената во училиштето | Одделенски раководители Сите ученици и наставници во училиштето | | X |
| 3. Да се запознаат учениците со опасностите и превентива од заболување од ТБЦ и градни заболувања | Одбележување на Недела на борба против ТБЦ и други градни заболувања преку едукативни матријали | Септември | Подмлаткари на ЦК (врснички едукатори под менторство на одговорни наставници) | споделување на едукативни материјали за превенција и лекување на ТБЦ | / | Учениците да ги прошират знаењата за ТБЦ и градните заболувања | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Да со одбележи Денот на срцето | Одбележување на Денот на срцето | Септември | Подмлаткарина ЦК (под менторство на одговорни наставници) | Реферат/пано | / | Да се прошират знаењата за важноста на срцето и негова заштита | Б.М.Личева В.Димитровска | | Х |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Донации на облека, средства за домакинство за загРозани семејства – хуманитарна акција | Обезбедување на потребна облека , средства на загРозани смејства | Октомври (и по потреба во текот на годината) | Сите ученици и наставници | -Организација и логистика за спроведување на акција - Реализација на хуманитарна акција Презентација на активноста | Список на ученици (формулар) | Обезбедување на потребна облека и средства со што ќе се помогне на ранливата категорија ученици | Б.М.Личева В.Димитровска Одделенски раководители | | Х |
| 6. Да се исчити и уреди училишниот двор | Еколошки акции | Во текот на учебната година согласно планот на еко тимот | Сите ученици | Акција за чистење во соработка со еко тимот | / | Да се исчисти училишниот двор | Б.М.Личева В.Димитровска Еко тим | | Х |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Да се соберат парични средства | Хуманитарна акција за собирање парични средства | По потреба | Тимот на ЦК | Хуманитарна акција | / | Да се соберат парични средства со кои ќе се помогне по потреба | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Собирање на храна за семејствахуманитарна акција | Обезбедување на потребна храна за загРозаните семејства; | Ноември | Сите ученици и наставници | -Организација и логистика за спроведување на акција - Реализација на хуманитарна акција - Презентација на активноста | / | Да се развива свеста на учениците за помагање на гладните лица | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. Да се запознаат учениците со опасностите и превентива од шеќерна болест-дијабетес | Одбележување на недела на борба против дијабетес преку едукативни матријали (14/18.11) | Ноември | Подмлаткари на ЦК (врснички едукатори под менторство на одговорни наставници) | Реферат/ објави на web страната на училиштето на темата | / | Учениците да ги прошират знаењата за дијабетесот | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |
| 10. Да се запознаат учениците со опасностите и превентива од болести на зависност | Месец на борба против болести на зависности- | Ноември | Ученици од предметна настава | Реферат/едукативно пано | / | Да се развива свеста на учениците за опасностите од употреба на алхохол и дрога | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. Да се одбележи Неделата за борбата против сида | Одбележување на Недела за борбата против ХИВ/СИДА | декември | . Подмлаткари на ЦК | Едукативно пано | / | Да се запознаат учениците со начинот на заштита од ХИВ/СИДА | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. Да се запознаат учениците со начинот на исхранат во зима | Запознавање со начинот на исхрана во зимскиот период | Јануари /февруари | Подмлаткари на ЦК (сите ученици) | Реферат | / | Да ја подобрат исхраната во зимскиот период | Б.М.Личева В.Димитровска Одделенски раководители | | X |
| 13. Да се одбележи Неделата на борбата против ракот | Одбележување на Неделата на борбата против ракот | февруари | Подмлаткари од VI-IX одд | Реферат /објави на web страната на училиштето на темата | / | Да се запознаат учениците со болеста и последиците од неа | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |
| 14. Да се одбележи Денот на здравјето 7-ми Април | Одбележување на Денот на здравјето со изработка на пано за здрави навики | април | Тим на ЦК Сите ученици | Рефарт /пано за здрави навики | / | Да ги прошират знаењата за важноста на чувањето на здравјето | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. Активности во соработка со Организација на Црвен Крст (ПХВ и др.работилниц и и едукативни предавања наменети за ученици ) | Реализација на активности во соработка со Организација на Црвен Крст | Тековно | Членови на Црвен крст | Едукативни активности и акции | / | Развивање на вештини за помагање | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |
| 16. Значење на крводарителството | Твориме на тема Крводарителство (цртежи и песни) | јуни | Членови на Црвен крст Ученици од I до IX одд. | Творби од ученици | / | Да се истакне важноста и значењето на крводарителството | Б.М.Личева В.Димитровска Наставници од одделенска и предметна настава | | |
| 17. Да се подготват учениците за натпревар по Црвен крст | Подготвување на учениците за натпревар | Септември/ мај | Членови на Црвен крст | Книги, брошури, практични вежби | / | Развивање на вештини за помагање | Б.М.Личева В.Димитровска | | X |

**O *<u>Одговорен наставник</u>***

**1. Бојана Личева-предметен наставник**

**ПРИЛОГ 27**

## ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Во училиштето се води грижа за уредувањето и одржувањето на просторот и на опкружувањето на училиштето. Се води сметка уредувањето да биде функционално, естетско за сите кои што престојуваат во училиштето пријатно да се чувствуваат. Во сите училници за ентериерот се грижат наставниците и учениците, тие во текот на целата учебна година го адаптираат просторот според предметот кој го изучуваат. За уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување кој заедно со учениците според изготвената програма ги уредува.Останатите простории се опремени според намената за која што служат. Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, поставените клупи се одржуваат. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

**1. Задача:**

- ⇨ Потикнување на самосвест кај учениците и вработените за грижата за просторот каде што престојуваат;
- ⇨ Естетско вообличување на просторот во училиштето;
- ⇨ Подобрување на естетиката во холот и ходниците;
- ⇨ Поттикнување на креативнност и фантазија кај учениците;
- ⇨ Подобрување на амбиентот за работа и учење;
- ⇨ Поттикнување на еко свеста кај учениците и вработените во училиштето;
- ⇨ Развивање на чувство на припадност;
- ⇨ Укажување на почит кон истакнати личности од нашата историја ;

**2. Активности:**

- ⇨ Уредување на училиштето по повод позначајни празници и настани
- ⇨ Изработка на декорации во холовите ⇨ Избор на најубаво уредена училница
- ⇨ Уредување на паноата во ходниците и училниците
- ⇨ Одбележување на Денот ( месецот ) на екологијата
- ⇨ Одбележување на патронатот на училиштето

**3. Носители на програмата се:**

- ⇨ Тимот за естетско уредување на училиштето, ликовната секција, директорот, хаусмајсторот и техничкиот персонал и сите останати ученици и наставници **4. Време на реализација на програмата :**

⇨ Времето за реализација на сите предвидени активности е август - јуни во учебната 2023-2024 година. **5. Ресурси:**

⇨ Ученички творби
⇨ Материјали за изработка на декорации
⇨ еко пораки





⇨ нагледни средства

**6. Инструменти:**

⇨ Естетска анализа **7. Очекувани ефекти :**

⇨ Подобрување на естетскиот изглед на училиштето
⇨ Градење на позитивен однос кон ученичките творби
⇨ Создавање на партициптиенти во уметноста
⇨ Подобрување на работниот простор
⇨ Развивање на позитивен однос кон природата, културата и традицијата на татковината

| **Активности на наставници** | **Активности на ученици** | **Време на реализација** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|
| Уредување на училиштето по повод позначајни празници и настани | Изработка на ученички творби, нивно изложување и организирање на изложбениот простор | Во текот на учебната година | Потребни материјали за цртање и сликање, Потребни материјали за изложување |
| Организирање на изработка на мото за позначајни празници и настани | Изработка на мото за позначајни празници и настани | Во текот на учебната година | Потребни материјали за изработка на мото |
| Уредување на паноата во ходниците и училниците | Изработка на ученички творби, нивно изложување | Во текот на учебната година | Потребни материјали за цртање и сликање |
| Поттикнување на креативнност и фантазија кај учениците | Изработка на новогодишни украси и уредување на училиштето по повод новогодишните празници | декември | новогодишни украси |
| Планирани активности од програмата за антикорупција | Организирање на ликовна изложба од творби изработени на часовите по ликовно обр. | Февруари | Ликовни творби |
| Обновување на паноата за изложување на ученички трудови | Идејни решенија за изработка на нови паноа за изложување на детски творби | март | Идејни решенија за нови изложбени паноа |
| Поттикнување на свеста кај учениците и вработените за традиционални вредности | Изработка на мартинки | Март | Ликовни творби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поттикнување на еко свеста кај учениците и вработените во училиштето | Одбележување на Денот ( месецот ) на екологијата | март | Ликовни творби од материјали за рециклирање |
| Одбележување на Велигден | Изложба на ликовни и литературни творби | Април/мај | Ликовни творби |
| Планирање и организирање на активности (ликовна изложба од творби изработени на часовите по ликовно обр. (II-V одд.))<br>за превенција на насилството во училиштето | Творење на зададена тема во материјл и техника по избор на учениците | април | Ликовни творби |
| Одбележување на 1 Април Ден на шегата | Изработка и изложба на ученички творби | Март/април | Ученички маски |
| Одбележување на патронатот на училиштето „ Дане Крапчев” | Творење зададена тема и изложување на творбите | мај | Ликовни творби |
| Изложување на ученички творби на ученици од различна етничка придадност | Контунуирано изложување на творби од ученици од различна етничка припадност | Во текот на учебната година | Ликовни творби |
| Учество на меѓународни ликовни конкурси | Творење зададена тема и изложување на творбите | Во текот на учебната година | Ликовни творби |
| Реализирање на етвининг проекти | Воспоставување на контакт со разни училишта од етвининг платформа | Во текот на учебната година | Зависно од потребите на проектите |

⇨ ***<u>Училишен тим за еколошка едукација и за естетско уредување на училиштето</u>***

1. **Бојана Личева- еко координатор**
2. **Душанка Китановска-предметен наставник**
3. **Марија Наневска-предметен наставник**
4. **Радица Цветковска-предметен наставник**
5. **Ана Ристиќ-ученички парламент**

**ПРИЛОГ 28**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНА ЗАЕДНИЦА И ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование ( Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) кој гласи „сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница“, учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

### Училишна заедница

Ученикот кој е во фокусот на воспитно-образовниот процес е личност со свои права, обврски, интереси, член на општествената заедницата, со што има право на свои организации, чија цел е изградба на самосвесни демократични личности кои реално се вреднуваат себе си, другите, со што се подготвуваат адекватно да го завземат своето место во општеството.Ученичката заедница на ниво на училиште особено ќе се заложува за третирање на одделни актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. Таа ги опфаќа учениците од I – IXодд.Се конституира на почетокот на учебната година откако ќе се формираат паралелките. Секоја паралелка делегира еден до два члена во училишната заедница (од раководството - претседателството на ученичката заедница) и тие го претставуваат раководството на ученичката заедница. Од редот на претседателството се бира потесно раководство кое го сочинуваат претседател,

подпретседател и секретар. За вршење на одделни задачи претседателот бира повремени или постојани комисии, како на пример комисија за успех и дисциплина.Училишната заедница ја следи, насочува и координира работата на ученичките заедници на паралелките. Својата активност ја остварува по однапред подготвена програма за работа. Работата на ученичката заедница на училиштето ја помага педагогот на училиштето.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗЕАДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Ресурси | Време | Очекувани ефекти и исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Конституирање на ученичките заедници на паралелките | Чувство на припадност, колективност мотивираност | Одделенски раководител | Годишна програма записници | Септември | Градење организациски и комуникациски способности |
| Избор на раководство на ученичката заедница во паралелката | Чувство на одговорност, објективност, соработка, колективност | Одделенски раководител | Записници | Септември | Градење организациски и комуникациски способности |
| Избор на раководство | Критичност, соработка одговорност и доследност | Педагог Ученици | Записници | Септември | Градење организациски и комуникациски способности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со програмата на ученичката заедница | Одговорност и доследност | Педагог | Записници | Септември | Градење организациски и комуникациски способности |
| Договор за приредба по повод прием на првачињата во Детската организација | Поттикнување на ведар и творечки дух, чувство на припадност и колективност | Одговорни наст. од I- IXодд. Педагог Ученици | Сојуз за грижи и воспитување на децата | Октомври | Одговорност, доследност и чувство на колективност |
| Одбележување на Детската недела преку цртежи и собирни акции | Солидарност, хумани чувства, доследност и одговорност | Одговорен наставник Педагог Ученици | План за работа на Детската организација | Октомври | Одговорност, доследност и чувство на колективност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка за програма по повод Денот на училиштето | Активно учество и смисла за организација | Одделенски раководители Педагог Ученици | Годишна програма | Ноември | Културно и уметничко изградување на учениците |
| Договор за учество на поетски и ликовни конкурси за 13 Ноември | Љубов и почит кон празникот, негување творечки дух, креа-тивност | Одговорни ученици Педагог Одговорне настваник | Покани за учество | Ноември | Културно и уметничко изградување на учениците |
| Разговор за тековни проблеми | Критичност и самокритичност | Педагог | Записници од разговори | Ноември | Културно и уметничко изградување на учениците |
| Договор за посета на Златно славејче | Навика за посета на културни настани | Одговорни наставници за КЈД | Покани за учество | Ноември | Културно и уметничко изградување на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предавање по повод Недела за борба против сидата (01.07.XII) | Стекнување повеќе информации, подобрување на здравјето | Одговорен наставник на ПЦК | Подготвен материјал за презентација | Декември | Здравствена едукација на учениците |
| Активности за подобрување на естетскиот изглед во училницата | Соработка, иницијатива, креативност | Одделенски наставници | Изработки од учениците | Декември | Развивање на естетско чувство кај учениците |
| Договор за организирана забава по повод Нова година | Негување на пријатна атмосфера, дружење | Одговорни наставници за КЈД | Потреби на учениците | Декември | Негување на другарството |
| Давање мислење и предлизи за педагошки и други мерки што треба да се превземат од страна на училиштето | Поттикнување на учениците за успех и дисциплина | Комисија за успех и дисциплина, претседател Педагог | Записници од разговори, правилник за педагошки мерки | Јануари | Стекнување на воспитни квалитети кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Давање мислење и предлози пофалени ученици | Поттикнување натпреварувачки дух | Комисија за успех и дисциплина | Записници од разговори, правилник за педагошки мерки | Јануари | Стекнување на воспитни квалитети кај учениците |
| Анализа на успехот и дисциплината во прво полугодие | Откривање на причините за неуспех во учењето | Комисија за успех и дисциплина | Изготвена анализа | Јануари | Стекнување на воспитни и образовни квалитети кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности во врска со соработка со други УЗ | Соработка и разбирање меѓу УЗ и коректен однос | Одговорни наставници Педагог Ученици | Покана | Февруари | Разменување на мислења и искуства |
| Соработка со родители | Подобри резултати во учењето | Одговорни наставници | Записници од родителски средби | Февруари | Учество на родителите во подобрување на успехот |
| Одбележување на 8 Март | Да се запознаат со значењето на празникот | Педагог | Одбележување на денот | Март | Создавање на вредности за почит |
| Одбележување Недела на книгата | Љубов за читање книги | Библиотекар | Покна и посета на Саем на книгата | Март | Стекнување навика за читање книги |
| Значење на Екологијата работни акции и еко-патроли | Јакнење на еколошката свест, придонес за здрава и чиста околина | Одговорен наставник за производна работа | Изведени активности | Март | Развивање на еколошка свест |
| Учество во Априлијада | Креативност, пријатна атмосфера | Одговорни наставници за КЈД | Организирање на маскенбал | Април | Дружење и забава |
| Одбележување на 7Април -Светски ден на здравјето- | Негување здрав спортски дух | Одговорни наставници за рекреација и спорт | Активности по повод денот | Април | Истакнување на вредноста на здравјето |
| прошетка до Гази Баба | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Работна акција по повод 22 Април-Ден на планетата Земја | Свесност, стекнувавање работни навики | Одговорни наставници за производна работа | Изведување еколошки активности | Април | Развивање на еколошка свест |
| Соработка со педагогот за подобрување на успехот и дисциплината | Подобрување на успехот и дисциплината | Одд. Наставници | Записници од разговори, Анализа на успехот | Април | Подобрување на успехот кај учениците |
| Договор за подготовки за натпревари од повеќе области | Негување на спортски дух | Одговорни наставници за рекреација и спорт | Покани за натпревар | Април | Развивање на натпреварувачки дух, упорност и истрајност |
| Приредба по повод 24Мај-Ден на просветителите | Почит и љубов кон нивното дело и лик | Рецитаторска секција | Изработени материјали | Мај | Развивање на национално чувство |
| Договор за организирана полуматура | Развивање чувство на вредност и доверба | Одговорни наставници за екскурзии | Програма | Мај | Дружење и забава |
| Испраќање на деветто оделнците | Јакнење на колективниот дух | Одделенски наставници | Поделени свидетелства | Јуни | Услови за упис во средно образование |
| Извештај за работата на УЗ во училиштето | Согледување на резултатите од работата на УЗ во текот на учебната година | Одговорни наставници, претседатели на ученички заедници на паралелките | Изготвен извештај | Јуни | Анализа на работата на УЗ |

| **АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНА ЗАЕДНИЦА<br>УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Планиран број часови за активноста** | **Реализитаор** |
| 1 | Конституирање на тимот и изготвување на програма и акционен план за работа | Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците | Јули | 6 часа | Педагог<br><br>Одделнски наставници<br><br>Класни раководители |
| 2 | Информирање на одделенските наставници и одделенските раководители и останатите субјекти во училиштето за спроведување на процедурата за избор на претседател, заменик претседател и постојани и повремени тела на одделенската заедница | Зајакнати капацитети на наставниците од одделенска и предметна настава за спроведување модели на ученичко учество и заштита на детските права во рамки на училиштето | Август | 1 час | Педагог<br>Психолог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Спроведување на процедурата за избор на претседател, заменик претседател и постојани и повремени тела на одделенската заедница | Формирани тела со ученици од одделенските заедници согласно демократските процедури | Септември | 4 часа | Одговорни наставници Одделенски наставници и одделенски раководители од прво до деветто одделение |
| 4 | Конститутивна седница на ученички парламент | Формиран ученички парламент, избран претседател на парламентот Избрани претставници на учениците за Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор | Септември (IV седмица ) или Октомври ( I седмица ) | 3 часа | Директор |
| 5 | -Избор на раководство на ученичкиот парламент - Изработување на предлог програма за работа на ученичкиот парламент | Избрани координатори на учебни години Формирано координативно тело на ученичкиот парламент Изработена програма за работа на ученичкиот парламент | Октомври | 6 часа | Директор Претставници на ученички парламент |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Промовирање на ученикот правобранител и неговата функција и улога во училиштето | Учениците се запознаени со улогата на ученикот правобранител - (промовирање и заштита на детските права ) | Октомври | 3 часа | Одговорни наставници Одделенски наставници и одделенски раководители од прво до деветто одделение |
| 7 | Подготовки и реализација на Работилница „Имам право да ги знам моите права“ | Учениците се запознаени со Конвенцијата за правата на детето, нејзината содржина, правата кои ги гарантира и нејзиното значење. | Ноември | 4 часа | Педагог Психолог Одговорни наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Подготовки и реализација на Работилница „Превземање акција во училиште“ | Применуваат промени од заеднички интерес во група и практикуваат демократска партиципација | Декември | 4 часа | Одговорни наставници |
| 9 | Подготовки и реализација на Работилница "Интеркултурно образование" Избор на теми за дебати | Осознавање дека учениците се деца од различен бекгроунд кои припаѓаат во иста група | Јануари | 4 часа | Одговорни наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Подготовка и реализација на Дебата 1 -на тема предложена од учениците | Учениците се поттикнати да водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација | Февруари | 3 часа | Одговорни наставници |
| 11 | Подготовка и реализација на Дебата 2 -на тема предложена од учениците | Учениците се поттикнати да водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација | Март | 3 часа | Одговорни наставници |
| 12 | Подготовка и реализација на Дебата 3 -на тема предложена од учениците | Учениците се поттикнати да водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација | Април | 3 часа | Одговорни наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Анализа на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител Предлози за работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител за наредната учебна година | Учениците се поттикнати активно да се вклучат со свои предлози за активности за работата во наредната учебна година | Мај-Јуни | 4 часа | Одговорни наставници<br><br>Раководство на заедницата |
| 14 | Состаноци со одделенски заедници | Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки | Септември - Мај | 5 часа | Одговорни наставници Раководство на заедницата |
| 15 | Состаноци со ученички парламент | Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки | Септември - Мај | 9 часа | Одговорни наставници<br><br>Раководство на заедницата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Состаноци со ученик правобранител | Промовира, дава, поддршка и заштита на учениците | Септември - Мај | 5 часа | Одговорни наставници |
| 17 | Состаноци на раководството и менторска поддршка на наставници | Поддршка на капацитетите на наставниците за спроведување акции во одделенската заедница Помош во креирање одделенски портфолија Поддршка во спроведување работилници и дебати во одделенските заедници | Август – јуни | 5 часа | Одговорни наставници |
| 18 | Соработка со институции и организации од локалната заедница | Успешно реализирана соработка со институции и организации од локалната заедница | Септември - Јуни | 5 часа | Одговорни наставници |

⇨ ***Одговорни наставници:***

1. **Габриела Ѓоршева-педагог**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Биљана Јовчева-родител**
4. **Маја Величковска-предметен наставник ПРИЛОГ 28/а**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| ***АКТИВНОСТ*** | ***ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА*** | ***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА*** | ***МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ*** |
|---|---|---|---|
| Конститутивна седница на ученичкиот парламент<br>Избор на претседател на ученичкиот парламент<br>Избор на претставници на учениците за Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор | Септември (IV седмица ) или Октомври ( I седмица ) | Директор<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -сала за состаноци (училница)<br>-гласачка кутија<br>-гласачки ливчиња<br>-ЛЦД проектор<br>-компјутер |
| Организирање седници на ученичкиот парламент | Континуирано | Претседател на ученичкиот парламент<br>Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -сала за состаноци (училница) - материјали за работа -хартија |
| Избор на координатори на одделение и координативно тело на ученичкиот парламент | Октомври | Претседател на ученичкиот парламент<br>Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -сала за состаноци (училница) - материјали за работа<br>-гласачки ливчиња |
| Организирање на работилници за детските права, процесот на превземање | Ноември - Јануари | Членовите на ученичкиот парламент | -сала за состаноци (училница) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на акции во училиште и промовирање на мултикултурализмот | | Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -материјали за работилниците |
| Организирање дебати на теми предложени од учениците | Февруари - Април | Претседател на ученичкиот парламент<br>Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -сала за состаноци (училница) - материјали за дебатите<br>-анкети<br>-истражувања |
| Разгледување на предлози добиени од состаноците на заедниците на паралелките | Континуирано | Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -сала за состаноци (училница) -писмени предлози од ученици |
| Планирање, реализирање на иницијативи за аспекти кои треба да се подобрат во училиштето и во заедницата | Континуирано | Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -писмени барања од ученици -презентации |
| Организирање и учество во хуманитарни акции, еколошки акции и општественохуманитарна работа | Континуирано по потреба | Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање<br>Наставници и ученици<br>Институции и организации | -писмени барања од ученици -презентации<br>-потребни соодветни материјали за акциите |
| Давање предлози за:<br>Локации за екскурзии за наредната година<br>Подобрување на ученичкиот стандард<br>Воннаставни активности | Континуирано | Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -писмени предлози од ученици -анкети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во:<br>Подготовката на годишната програма за работа<br>Евалуација на работата на училиштето | Континуирано | Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -писмени предлози од ученици |
| Процесот на планирање на развојот на училиштето<br>Активности за обезбедување на поддршка на учениците со посебни образовни потреби | | Наставници Ученици | |
| Соработка со институции и други организации што работат со младите | Континуирано | Членовите на ученичкиот парламент<br>Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Институции и организации | -писмени барања од ученици -презентации |

- ***Одговорни наставници:***

1. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**
2. **Данче Костовска- одделенски наставник**
3. **Катерина Банџо- специјален едукатор и рехабилитатор**
4. **Марина Пазаркоска- психолог**

**ПРИЛОГ 28/б**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

## ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| ***АКТИВНОСТ*** | ***ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА*** | ***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА*** | ***МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ*** |
|---|---|---|---|
| **Запознавање на учениците со улогата на ученикот правобранител и процедурата за поднесување на поплаки и жалби за прекршени права** | Октомври | Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -Процедура за поплаки и жалби -Формулар за пријавување на прекршени детски права |
| ***Промовирање на детските права*** **-Организира едукативни работилници за запознавање на учениците со правата на детето и нивното значење** **-Организира дебати на теми повразани со правата на децата, нивното прекршување и значење** | Континуирано | Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Ученици | -Материјали за работилници и дебати |
| ***Поддршка за заштита на детските права*** **-Препознава прекршувања на детските права - Прибира поплаки, жалби и претставки од ученици за прекршени права** **-Доставува претставки од ученици за прекршени права до соодветните органи во училиштето** | Континуирано | Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Ученици | -Поплаки, жалби и претставки од ученици |
| **Учество во состаноците на ученичкиот парламент** | Континуирано | Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | -Училница -Извештаи за состојбата за прекршување на правата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Членови на ученички парламент | |
| **Состаноци со тим за поддршка на ученичкото учество и организирање** | Континуирано | Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање | - Извештаи за состојбата за прекршување на правата |
| **Сумирање на состојбата со прекршувањето на правата и изработка на полугодишен и годишен извештај** | Декември -Јуни | Ученик правобранител | Полугодишен и годишен извештај за работата на ученикот правобранител |

- ***Одговорни наставници:***

1. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**
2. **Данче Костовска- одделенски наставник**
3. **Катерина Банџо- специјален едукатор и рехабилитатор**
4. **Марина Пазаркоска- психолог**

**ПРИЛОГ 29**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА

### *1.* ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место**: Дељадровце, Марков манастир, Катланово **Воспитно**

**образовни цели:**

- запознавање со природните ресурси и со културното наследство.
- градење на позитивен однос кон природата, културното наследство, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и нивните специфични природногеографски обележја;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат учениците, како и кон животните; **Задачи:**

➢ развивање интерес за природата, градење еколошки навики;

➢ поттикнување и манифестирање позитивни емоции;

➢ социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

➢ поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;

➢ развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

➢ создавање навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

**Раководител на екскурзијата:** Јовица Димески – предметен наставник по физичко и здравтвено образование

**Одговорен наставник:** Биљана Јовчева – одделенски наставник.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација:** крај на септември- почеток на октомври.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Скопје-Маџари – Дељадровце, Марков манастир, Катлановo

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар. **Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите. **Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

***За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.***

## *2.* ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

***Место:*** Парк шума Гази Баба, Марков манастир **Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со атрактивно место во близина на Скопје и природните убавини и знаменитости

- запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овој простор,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овој простор,
- развивање на позитивна групна динамика,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

**Раководител на екскурзијата:** Лиле Сарвановска – предметен наставник по математика

**Одговорен наставник:** Маја Величкова – предметен наставник по географија

**Време на реализација :** Мај/Јуни **Начин**

**на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Скопје,Маџари - Парк шума Гази Баба,Марков манастир.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар. **Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите. **Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

***За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.***

### *3.* ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Време на реализација**: Мај/Јуни

**Место на одржување:** Струмица- Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса, Манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча и Колешински водопади.

**Воспитно образовни цели:**

| Креирање политика во училиштето за превенција на насилното однесување, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација | Изработка на акционен план и програма | Август | тим | Годишна програма | **x** | Успешно реализирање на планираните цели | тим | **x** |
| Утврдување на постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотребување и занемарување | Запознавање на Ученички парламент, Советот на родители , Училишниот одбор со утврдената постапка | Септември | тим | Постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотребување и занемарување | -Формулар за евиденција на насилство - Формулар за план за заштита на жртвата и промена на однсувањето на сторителот | Успешно реализирање на поставените цели. | тим | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Откривање и препознавање на ученици кои вршат насилно однесување | -Спроведување на анонимен анкетен прашалник за ученици од IV до IX одд. -Следење на промени во однесувањето на учениците | Во тек на учебната година | Ученици од IV до IX одд. Стручни соработници | Годишна програма | Анкетен прашалник | -Превенција на насилно однесување откривање на ученици кои вршат насилство и разговор со истите. | тим | **x** |
| Учениците да го осознаат поимот култура, да сфатат дека иако припаѓаат на иста група имаат различни карактеристики | Работилница-Интеркултурно образование | Јануари | Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање и ученички парламет | Подготвени материјали (работни листови) за работилницата | Чек листа | Учениците се поттикнати преку комуникација да ги запознаваат к-ки на другите култури, имаат воочено дека за воспоставување на добри односи потребно е почитување на другите култури | Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање и ученички парламет | **x** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на активности за превенирање на насилството во училиштето | -Организирање на ликовна изложба од творби изработени од учениците од II до V одд.<br><br>-Литературени творби изработени од учениците од II до IX одд. | Април | Одделенски наставници и раководители , ученици Марија Наневска-наставник по ликовно образование Елена Малинова-наставник по македонски јазик | Изложување на најдобрите цртежи и литературни творби од учениците во холот на училиштето | x | -Успешни ликовни и литературни творби во кои се искажани видовите насилство - Намалување на насилството во училиштето | тим | **x** |
| Планирање и реализиација на часови со дискусија за обработка на темата на одделенските часови и наставен час по предмети. | Следење на реализација на темата на одделенските часови и наставен час по предмети | Во тек на целата учебна година | Одделенски наставници и Одделенски раководители | Одделенски час и наставен час по соодветен предмет | Дневно планирање | Успешно реализирање на планираните цели на часовите поврзани со темата | тим | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на/од установи и здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство, наменети за учениците | Организирање посета на/од установи и здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство, наменети за учениците | Во тек на учебната годината | стручни лица вработени во установи и здруженија | презентации стручна литература | Извештај од реализирана посета | Подигнување на свеста на учениците за ненасилно однесување - Стекнати знаења за видови на насилство и последиците од истото | Тим | |
| Едукативни работилници за родители | Реализирање на едукативна работилница за насилство | Во тек на учебната година | Стручни соработници | Презентација | Извештај од реализирана работилница | Подигнување на свеста на родителите за ненасилно однесување -Проширување на знаењата за видови на насилство и последиците од истото | тим | |
| Следење на планираните активности | Извештаи од реализираните активности | Во тек на целата учебна година | Одговорни наставници тим | Годишна програма и акционен план на тимот | Формулар - извештај | Успешно реализирање на планираните цели | тим | **x** |

⇨ ***<u>Училишен тим за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација</u>***

1. **Габриела Ѓоршева-педагог**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Јулијана Атанасова-предметен наставник**
4. **Весна Димиторвска-одделенски наставник**

**ПРИЛОГ 33а**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО РАНЛИВА ГРУПА НА УЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| Цели | Содржина | Реализатор | Време | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на наставниците за работа со ранливи групи на ученици. | -Дефинирање на ранливи групи на ученици.<br>-Препознавање на карактеристиките на ранливи групи на ученици.<br>-Видови на ранл. групи на ученици. | Педагог | **IX-X** | -Наставниците умеат да ги препознаат ранливите групи на ученици. |
| Формирање на училишен тим за работа со ранливи групи на ученици. | -Определување на приоритети за тековната учебна година.<br>-Распределба на задолженија на членовите на тимот. | Тим за работа со ранливи групи на ученици | **X** | -Утврдување на приоритети за тековната учебна година. |
| Евидентирање на ранливи групи на ученици | -Социометриска метода -инструменти<br>-Присуство на родителски средби.<br>-СКР со одделенски раководители. | Тим за работа со ранливи групи на ученици | **XI-XII** | -Запознавање со структурата и видот на ранливите групи на ученици по одделенија и паралелки. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организација и реализација на работилници со ранливи групи на ученици и нивни родители | -Советодавна работа<br>-Едукативни предавања<br>-техники на учење<br>-Мотивација и самодоверба | Тим за работа со ранливи групи на ученици<br>Ученици<br>родители | **X-VI** | -Помош на учениците во надминување на проблемите.<br>-Стекнување на техники на учење, мотивација и самодоверба. |
| Израб. на индивидуални инструменти и програми за работа со ранливи групи на ученици | -Утврдување на постапки за работа со ранливи групи на ученици | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **I-V** | -Развој на индивидуални инструменти за вреднување на ранливи групи на ученици. |
| Евалуација на програмата за работа со ранливи групи на ученици | -Утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата.<br>-Конципирање развоен план за работа со ранливи групи на ученици. | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **VI-VIII** | -Израб. на индивидуални планови за работа со ранливи групи на ученици. -<br>Подобрување на постигањата, мотивацијата и самодовербата |

**ПРИЛОГ 34**

## ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ НА ОЦЕНУВАЊЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| Планирани активности | Време на реализација | Ализатори | Ефекти |
|---|---|---|---|
| Детектирање на причините за постигнување на послаби или подобри резултати | Септември | Наставници од предметна настава<br>Наставници од одделенска настава | Препознаени (откриени) вистинските потреби на учениците со послаб и посолиден успех |
| Утврдување на причините зошто учениците не го постигнуваат својот максимум | Континуирано во целата учебна година | Наставници од предметна настава | Идентифицирани причините за послабите и недоволно постигнати резултати |
| Подобрување на комуникацијат ана наставниците со учениците и родителите | Континуирано во целата учебна година | Наставници од одделенска настава | Подобрена комуникација меѓу наставник, родител, ученик |
| Насочување на учениците кон групна работа | Континуирано во целата учебна година | Наставници од предметна настава | Учениците работат во тимска – групна, тимска работа |
| Подобрување на тимскиот дух и климата | Континуирано во целата учебна година | Наставници од одделенска настава | Постои клима за тимско работење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Намалување на стресни ситуации кај учениците | Континуирано во целата учебна година | Наставници од предметна настава | Оспособување на ученицие за соочување со стресни и конфликтни ситуации |

⇨ ***Училишен тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Билјана Стојановска-предметен наставник**
4. **Весна Кочова-предметен наставник**
5. **Тања Метикош-одделенски наставник**
6. **Катерина Банџо-специјален едукатор и рехабилитатор**

**ПРИЛОГ 34а**

## КОРЕЛАЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

⇨ **Цели:**

Интегрирање на општите цели на наставните содржини
Корелација помеѓу одделни наставни предмети и соработка
Соработка и активност на наставниците
Подобрување на интелектуалниот развој кај учениците
Подобрување на квалитетот на учење кај ученците
Поефикасно усвојување на наставните содржини

⇨ **Наставни предмети во кои се изведува корелација помеѓу наставни содржини:**

Француски јазик
Историја
Информатика
Географија
Физичко и здравствено образование
Англиски јазик
Математика
Етика
Физика
Македонски јазик
Ликовно образование
Етика во религиите
Биологија

Музичко образование

| **Предмети за корелација** | **Наставни содржини** | **Одделение** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик - етика | Содржина на текст (анализа на текстот„Леб за тате“- В.Неделковски)<br>Вежби (прераскажување на приказната „Најслаткиот плод“) | VII | Септември |
| Македонски јазик –странски јазици(англиски, француски) | Говорна вежба (прераскажување филмови)<br><br>Појава на варијанти на старословенскиот јазик | VII<br><br>VII | Септември |
| Македонски јазик- историја | Читање и анализа на песната „Македонија“ | VII | Септрмври |
| Македонски јазик –странски јазици(англиски, француски) | Говорна вежба (прераскажување филмови , главни и споредни артисти) | VIII | Септрмври |
| Македонски јазик- историја | Анализа на социјални песни ( „Денови“ и други песни од К.Рацин),<br>-Граѓанската литература во Македонија | VIII | Септрмври |
| Македонски јазик-историја | Македонскиот јазик меѓу двете светски војни | IX | Септември |
| Македонски јазик и географија | Анализа на песна „Вардар“- А.Поповски | IX | Септември |
| Математика<br>Физика | Вектори<br>Брзина | IX | Септември |
| Математика-Ликовно образование | Класификација и својства на четириаголници | VIII | Октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Француски јазик<br>Физичко и здравствено образование | Усвојување на бројките од 1 до 10.<br><br>Психомоторни способности за правилен и физички развој. | VI | Септември/<br><br>Октомври |
| Македонски јазик и географија | Пејзажни песни | VII | Октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик –странски јазици(англиски, француски) | Акцентирање на туѓите зборови | IX | Октомври |
| Ликовно образование<br>Информатика, Музичко, Зпо Историја, | Истражувањеи пребарување на податоци на интернет<br>Изработка на проект во Open Office Impress/ Microsoft Office Power Point | VII | Октомври |
| Историја-<br>Француски јазик | Денот Д, Втора светска војна<br>Обработка на тескт за Нормандија | VIII | Ноември |
| Македонски јазик – странски јазици (англиски, француски) | Определеност кај именките (вежби од учебникот) | VI | Ноември |
| Македонски јазик –странски јазици(англиски, француски) | Акцентирање на сложените зборови и на броевите | VII | Ноември |
| Македонски јазик – ликовно образование | Изработка на стрип за анимиран филм | VII | Ноември |
| Македонски јазик – странски јазици(англиски, француски) | Прости и сложени глаголски форми | VIII | Ноември |
| Македонски јазик –странски јазици(англиски, француски) | Идно време | IX | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Француски јазик<br>Историја и општество<br>Техничко и информатика | Запознавање со дел од историјата на Франција и познати историски личности. Хуманизам и ренесанса. Истражувањеи пребарување на податоци на интернет. Изработка на проект во Open Office Impress. | VI | Декември/ Јануари |
| Математика-Биологија | Прави статистички пресметувања и одбира статистика која е поврзана со проблемот | IX | Декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Математика-Информатика | Цртање и толкување секторски дијаграм | VII | Декември |
| Македонски јазик - етика | - Писмена вежба„Настан од моето детство“(за безбедност во сообраќајот) | VII | Јануари |
| Македонски јазик и географија | Анализа на песна- „Крај изворот на Вардар“ | VIII | Декември |
| Македонски јазик –биологија | Писмена вежба („Новогодишни пораки“)- Здрава храна за детство без мана | VIII | Декември |
| Македонски јазик –музичко образование | Музика во филм – евергрини од филмови | IX | Декември |
| Македонски јазик – ликовно образование | Визуелни и аудитивни елементи во лирски песни(„Дете заспано крај езеро“-Б. Конески) | VI | Февруари |
| Македонски јазик- историја | Анализа на песни за Крале Марко | VIII | Февруари |
| Географија Инфроматика | Изработка на компјутерска мултимедијална презентација Македонија – убава земја Туризам | VIII | Февруари/Март |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Физичко и здравствено образование<br>Музичко образование | Современи танци | VIII | Февруари |
| Француски јазик<br>Историја<br>Информатка | Краток преглед на француската историја<br>Втора светка војна<br>Презентација на презентација во Open Office Impress/ Microsoft Office Power Point | IX | Март |
| Ликовно образование<br>Информатика, Музичко, Зпо<br>Историја, Математика | Туризам<br>Краток преглед на историјата на уметност<br>Презентација на презентација во Open Office Impress/ Microsoft Office Power Point | VIII | Март |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик – ликовно образование | Моето училиште сакам да биде...“(пишување сценарио и презентација – домашна работа) | VIII | Април |
| Македонски јазик – ликовно образование | Писмена вежба Велигден – со илустрации | IX | Април |
| Англиски јазик<br>Музичко образование | Музички инструменти | VI | Април/Мај |
| Ликовно образование<br>Информатика, Музичко, Зпо<br>Историја, Математика | Изработка на компјутерска мултимедијална презентација<br>Македонија – убава земја<br>Туризам | VIII | Април |
| МатематикаГеографија | Цртежи во размер | VIII | Април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно образование<br>Информатика,<br>Музичко, Зпо<br>Историја,<br>Математика | Златен пресек,<br>Краток преглед на историјата на уметност,<br>Презентација на презентација во Open Office Impress/ Microsoft Office Power Point | IX | Април |
| Ликовно образование<br>Информатика,<br>Музичко, Зпо<br>Историја,<br>Математика | Плоштина<br>Волумен,<br>Краток преглед на историјата на уметност,<br>Презентација на презентација во Open Office Impress/ Microsoft Office Power Point | IX | Мај |
| Географија Иторија | Туризам Крушевска република | VIII | Мај/Јуни |
| Математика Физика | Плоштина<br>Волумен | IX | Мај |
| Македонски јазик – странски јазици(англиски, француски) | Интерпункциски знаци: точка, запирка,прашалник,две точки | VI | Мај |
| Македонски јазик – биологија | Записник -еко-анкета за рационално користење на вода) | VII | Мај |
| Географија | Туризам | VIII | Мај/Јуни |
| Иторија | Крушевска република | | |
| Математика Физика | Плоштина<br>Волумен | IX | Мај |

## ***Одговорен наставник***

**Јовица Димески-предметен наставник**

**ПРИЛОГ 34б**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА ВО УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА

Задачата на секој одговорен наставник е да постапи по следните точки:

1. Да изврши увид во евидентните листови на одделенијата за кои е назначен одредениот наставник, на крајот на првото тромесечие, на крајот на I -полугодие и на крајот на II - тромесечие. Потребна е проверка дали точно се внесени податоците на учениците (име презиме, бр. на главна книга, одделение), но исто така и проверка дали има потпис од директор, печат од училиште, дали има внесено успех (постигнувања на ученикот) за наведениот период, дали има внесено оправдани и неоправдани изостаноци, и дали родителот е запознаен со успехот (т.е. дали евидентниот лист е потпишан од родител). Сите тие податоци се внесуваат во веќе изготвен формулар за истата потреба.

Евидентните листови се прегледуваат последната недела од месецот на одржување на родителската средба, на која родителите се известуваат за успехот на учениците. Притоа одговорниот наставник во најкраток можен рок треба да поднесе извештај од извршениот увид.

2. Пишаните дневници и Е – дневник се прегледуваат од 1-15 во месецот за претходниот месец. (Пример: од 1-15 Март се прегледуваат дневниците дали биле уредно пополнети за изминатиот месец т.е за Февруари). Класните раководители и останатите наставници кои предаваат во одделенијата потребно е податоците да ги внесуваат навремено. Комисиите дневниците ги прегледуваат според претходно изготвен формулар. Податоците за извршениот увид се внесуваат во посебен формулар за секое одделение, по месеци. Комисиите се должни по извршениот увид во пишаниот и електронскиот дневник да дадат посебен извештај за двата вида на дневници, веднаш по направениот увид т.е. до 20 во месецот.

3. Главната книга

- Одделенските наставници од прво одделение потребно е податоците во главната книга да ги внесат најдоцна до 15–септември. Потоа комисиите , потребно е да дадат извештај дали уредно и точно се внесени податоците за учениците.

- Останатите комисии од II – IX одделение треба да извршат увид во главните книги дали има потписи кај секој ученик за подигнато свидетелство. За истото се поднесува извештај најдоцна до 20 – Септември.

- Главните книги се прегледуваат и во Јуни од комисиите , каде се врши проверка на оценките и податоците од дневник и споредба со свидетелствата и главната книга. По извршениот увид и проверка на сите податоци се дава извештај за сработеното.

| **АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УВИД ВО ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА (евидентни листови, дневник , е-дневник , главни книги,ученичко досие )** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Следење** | | |
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **x** | **Потребен буџет** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Да се изврши увид во дневниците на I одделение и матичните книги | -Увид и извештај од увид во дневник и матични книги | До 15 Септември | Комисии за увид во педагошка евиденција и документација | -дневници - матични книги - извештај | - формулар за увид во дневници, матични книги | - Навремено извршување на задачите | Комисии за увид во педагошка евиденција и документација | x | |
| -Да се изврши увид во дневниции едневник и да се подготви извештај од увидот | -увид и извештај од дневниците | (од 1-15 секој месец,за претходниот) | Комисии за увид во педагошка евиденција и документација | -дневници -извештај | - формулар за увид во дневници - едневник | Квалитетно пополнет евидентен лист и навремено извршена задача | Комисии за увид во педагошка евиденција и документација | x | |
| -Да се изврши увид во евидентни листови Преглед во дневници,едневник, сведителства и главни книги | -увид и извештај од увидот на евидентни листови -Увид и извештај од прегледот | Трета недела од истиот месец по одржување на родителските средби -Јуни | Комисии за увид во педагошка евиденција и документација | -Евидентни листови -извештај главна книга дневници свидетелства -е-дневник | / | Навремено и точно пополнета главна книга | Комисии за увид во педагошка евиденција и документација | x | |

**ПРИЛОГ 35**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| Подрачја | Слаби страни | Идни активности | Индикатори за кавлитет | Цел | Време на реал. | Одговорни лица |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Училишна клима | Зголемување на соработката со училишта на меѓународно ниво; | Приоритет за подобрување на училиштето - проектите со Еразмус и поголема вклученост на новиот тим за Меѓународна соработка;<br>Соработка со училишта на меѓународно ниво;<br>Стекнување со ознака за Етвининг училиште<br>Отпочнати еразмус проекти (најмалку 3 проекти); | Пројавен интерес на наставниците за вклучување во активности за меѓународна соработка;<br><br>Обучени наставници;<br><br>Реализирани етвининг проекти; | Запознавање на наставниците со видови и начини на меѓународна соработка;<br>Запознавање со Еразмус програма;<br><br>Релизација на етвининг проекти; | Учебна 2023/24 година | Наставници<br><br>Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Тим за професионален развој |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Постигање на учениците | Доследна примена на Процедурата за работа со талентирани и надарени ученици | Изготвување планови за работа со талентирани и надарени ученици;<br><br>Работа со талентирани и надарени ученици; | Изготвени планови;<br>Евиденција за реализирани активности од работа со талентирани и надарени ученици;<br>Зголемено учество на талентирани и надарени ученици; | Напредување и потигнување на унадарените и талентираните ученици во согласност со нивните интереси; | Учебна 2023/24 година | Директор<br><br>Наставници<br><br>Тим за работа со надарени и талентирани ученици |
| Училишна клима | Усовршување и едукација на наставниот кадар, поттикнување на наставниците да се вклучат во етвининг и еразмус проекти. | Запознавање на наставниците со видови и начини на меѓународна соработка;<br><br>Релизација на етвининг проекти<br>Апликација за стекнување ознака за етвининг училиште;<br><br>Релизација на еразмус проекти; | Појавен интерес на наставниците за вклучување во активности за меѓународна соработка;<br><br>Обучени наставници;<br><br>Реализирани етвининг проекти | Запознавање на наставниците со видови и начини на меѓународна соработка;<br>Запознавање со Еразмус програма;<br><br>Релизација на етвининг проекти; | Учебна 2023/23 година | Наставници<br><br>Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Тим за професионален развој |

**ПРИЛОГ 36**

## *ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ*

⇨ **Активности за системот за заштита и спасување**

- Активности и мерки за заштита и спасување во случај на непосредна опасност;
- Активности и мерки за заштита и спасување за време на опасност;
- Активности и мерки за отстранување на последиците;

**Планирање:**

Изготвен е план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди, земјотреси, поплави, клизишта, пожари и друго.

При планирањето се земени предвид мерливите (постоечките) елементи како на пример:

-Сеизмичка активност на подрачјето
-Локација на објектот
-Градба на објектот
-Природните ресурси и др.

При изготвување на планот земени се во предвид застапеноста на одредени принципи:

-тимска работа
-временски термини
-оперативност
-конкретност
-следење
-анализа
-очекувани резултати

Планот предвидува: КОЈ, КОГА, ШТО и КАКО да постапи во одредена ситуација.

**Планот ги има обработено следните елементи:**

- Сеизмичка активност на реонот Трусно подрачје
- Одреден степен на трусност Над 6˚ (меркалиева)
- Локација на објектот: Маџари
- Вид на тлото-градско подрачје
- Вид на градба на објектот - Цврста градба без статички податоци на издржливост

**Процена на загРозаност од земјотреси во училиштето**

-Анализа на податоци за можни ризици
-Детална карта за сеизмичка активност
-Детална карта на врнежи во реонот
-Можен интензитет на земјотресот

-Можен интензитет на врнежи
-Локација, видот на објектот и старост
-Вид на вграден материјал и средства во објектот
-Градежни карактеристики на објектот
-Број на вработени и ученици во училиштето.

**План за заштита и спасување**

Планот за заштита и спасување содржи три фази:

I. Превентивни активности и мерки (пред опасноста од природни катастрофи)
II. Оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста)
III. Отстранување на последиците ( по опасноста)

**Одбор за планирање**

-Вработените на училиштето
-Претставници на Советот на родители **Задачи**

- Одредување на локации
- Човечки ресурси
- Програма за обука на наставниот кадар
- Програма за обука на советот на родители
- Дефинирање на тимовите и улога на членовите
- Евалуација на целокупната работа **Оперативен штаб**

Оперативниот штаб го сочинуваат:

-Директорот
-Секретарот
-Тројца наставници

Оперативниот штаб раководи за време на природната катастрофа. Донесува брзи одлуки врз база на проценка на состојбата во училиштето. Во постојана комуникација е со персоналот во училиштето како и со институциите кои се надлежни за заштита и спасување од природни катастрофи. **Задачи на оперативниот штаб**

-Да ги формира тимовите (екипите) и да ги конкретизира нивните задачи и активности
-Да го води планот за време на природната катастрофа (земјотресот, поплавата) и да прави план за безбедно напуштање на објектот .

**Тим за прва медицинска помош**

Тимот мора да биде оспособен за :

-укажување на медицинска помош
-медицинска грижа (поделба според тежината на повредата)
-згрижување на повредените

Главните задачи на тимот (екипата) }е се спроведуваат во две фази:

I.Пред природната катастрофа
II.По природната катастрофа

**I.Пред природната катастрофа**

-Определува и набавува потребен медицински материјал

-Изработува програма за здравствената состојба на учениците и вработените (ги евидентира здравствените проблеми)

-Ги обезбедува телефонските броеви од медицинските установи -

Организира обука за прва медицинска помош на вработените кои се вклучени во екипата

-Во соработка со Црвениот крст организира обука и предавање за учениците за згрижување на заболените и повредените. **II. По природната катастрофа**

-По природната катастрофа го известува директорот(оперативниот штаб) за бројот на повредените и видот на повредите и делува според планот за заштита и спасување

-Укажува прва помош на повредените лица на самото место врши тријажа ( поделба според тежината на повредата) на повредените. -

Врши извлекување и транспорт до најблиските медицински центри -Бара помош од здравствените институции.

**Тим за спасување од природни катастрофи**

Овие лица треба да ги познаваат правилата за пребарување и откривање на повредените (затрупаните или поплавените) како и можни жртви.

Овој тим треба да биде опремен со алати за барање и расчистување со средства за спасување и извлекување.

Главните задачи на овој тим се спроведуваат во две фази:

**I.Пред природната катастофа**

- Превземање на мерки и активности за заштита од уривање или поплава - Учество во набавка на опремата за откривање, пребарување, расчистување и извлекување

**II.. После природната катастрофа**

- Врши прегледување на објектот и урнатините,постапува според планот
- Ги проверува сите простории во објектот
- Пронао|а затрупани, поплавени го известува тимот за прва медицинска помош и ги извлекува затрупаните т.е поплавените - Го известува Оперативниот штаб за оштетувањето на објектот
- Врши заштита (осигурување) на оштетени деловиод зградата

**Тим за против пожарна заштита и одржување**

Оваа екипа (тим) е една од најзначајните и претставува основна сила за заштита при определена природна катастрофа т.е хаварија. Носителите на активностите треба да се обучени и увежбани за користење на разни видови ПП апарати за гасење пожар, да бидат обучени да ја исклучат струјата, водата, парното греење и да ги отстранат можните средства и опрема како можни ризици.

Главни задачи на овој тим се:

I.**Пред природната катастрофа**

- Запознавање и обука на вработените со основните правила на П.П.З - Запознавање со материјалните средства со кои располага училиштето и на кои места се наоѓаат
- Ги одржува и употребува во случај на пожар
- Го проверува функционирањето на инсталациите во објектот
- Се грижи за материјалните ресурси

II.**После природната катастрофа**

- Гаси и локализира пожари
- Проверува во каква состојба се инсталациите
- Ги исклучува сите инсталации
- Учествува во спасување на учениците и останатите вработени
- Го известува оперативниот штаб за можни последици од одредени експлозии
- Го контролира и по потреба ја известува противпожарната бригада

**Тим за комуникација и обезбедување** Тимот
го сочинуваат:

1.Директор
2.Секретар
3.Хаусмајстор

Тимот треба да ги познава опасностите и последиците во училиштето и надвор од него.Тимот треба успешно да раководи со сите активности , да ги координира активностите со локалната самоуправа и родителите.
Главни задачи на тимот се :

**I. Пред природна катастрофа**

-Да планира и определува кога и како учениците безбедно да го напуштат објектот

- Ги запознава родителите
- Ги проверува сите можности за комуникација со локалната самоуправа и со родителите.

**II. После природната катастрофа**

- Стапува во контакт со надлежните органи и локална самоуправа
- Ги информира родителите
- Се обезбедува објектот
- Се контролира влезот во објектот **Тим за евакуација** Тимот го сочинуваат:

1.Одделенските и класни раководители **Цел**
**на екипата:**
Преместување на учениците и вработените на безбедно место Активности
пред природната непогода

- Изготвување план за евакуација
- Дефинирање правци за евакуација (примарни и секундарни)
- Одредување на безбедно место ( локација)

- Одредување на локација за материјалните добра (ресурси)

Активности по природната непогода

- Ги определува правците на движење
- Врши проверка за безбедноста на правците на движење
- Стручните соработници ги запознаваат учениците запрородната катастрофа

(појава)и со последицитеод природната катастрофа и појава

***Цели:***

- Да се планира и реализира евакуација на учениците и вработените во услови на елементарна непогода
- Да се зголеми заштита и безбедност на учениците и вработените во случај на елементарна непогода;
- Да се евалуира спроведената вежба преку давање насоки за постапување на учениците и вработените

***Очекувани исходи:***

- Учениците и вработените да постапуваат согласно правилата за заштита и безбедност во услови на елементарна непогода во насока на зголемување на нивната безбедност ***Задачи:***
- Изготвување на план за спроведување на евакуација на учениците и вработените во услови на елементарни непогоди
- стручно постапување согласно елементарната непогода преку увежбување;
- Давање насоки за постапување на учениците и вработените

***Критериум за успех:*** Наставниците користат задачи и активности кои кај учениците поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми.

***Индикатор за успешност*:**

1. Практично обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи
2. Зголеми нивото на заштита и безбедност на учениците и вработените во случај на елементарна непогода;
3. Повратна информација*:* Информација и насоки на учениците и вработените од спроведената вежба

**ПРИЛОГ 36/а**

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА

- ⇨ *Зона 1 ги опфаќа просториите на приземјето, лево од централниот хол.*
- ⇨ *Зона 2 ги опфаќа просториите на приземјето, кои се десно од централниот хол.*
- ⇨ *Зона 3 ги опфаќа просториите на спратот, кои се лево од централниот хл.*
- ⇨ *Зона 4 ги опфаќа просториите на спратот, кои се десно и над централниот хол.*
- ⇨ *Зона 5 опфаќа евакуација од подрумот*



**ПРИЛОГ 37**

## *ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА*

| **ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хигиена во училиштето | Одржување на хигиената | Септември - Август | - Технички персонал | - Технички персонал | Листа за хигиена | Подобри хигиенско – здравствени услови за престој на учениците и вработените во училишната зграда. | - Технички персонал |
| | Увид во состојбата на хигиената во училиштето (тековно-неделно, месечно, полугодишно од септември до јуни) | Септември - јуни | Координатор на Грижа за здравје - наставници | - Технички персонал | Формулар Писмен извештај | Подобри хигиенско – здравствени услови за престој на учениците во училишната зграда | -наставници - Координатор на Грижа за здравје |
| | Поставување на упатства за одржување на хигиената во зградата (Истакнување на еко прораци на видни места низ училиштето за потикнување на свеста за одржување на | Септември – Октомври | - Ученици - Предметен наставник по биологија - Координатор на Грижа за здравје | Екопораци Еко кодекс - Стручна литература Интернет Енциклопедии | Писмен извештај | - Едукација на учениците за здрави животни навики - Подигање на свеста за здрав начин на живот - Потикнување на свеста за одржување на чистотата во објектот -Применување на еко кодексот | -Предметен наставник по биологија - Координатор на Грижа за здравје |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | чистотата во објектот) | | | | | | |
| | Увид во состојбата на хигиената од страна на еко патроли | Септември Јуни | -Ученици<br>-Еко тим Координатор на Грижа за здравје | -Ученици | Писмен извештај | -Следење, надгледување и контрола на имплементација на планирани активности за одржување на чистотата | -Еко тим<br>-ученици Координатор на Грижа за здравје |

⇨ ***Одговорен наставник***
***Габриела Ѓоршева-педагог***

***ПРИЛОГ 37/а***

## *ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ*

***Цели:***

- Да се планира и реализира евакуација на учениците и вработените во услови на елементарна непогода
- Да се зголеми заштита и безбедност на учениците и вработените во случај на елементарна непогода;
- Да се евалуира спроведената вежба преку давање насоки за постапување на учениците и вработените

***Очекувани исходи:***

- Учениците и вработените да постапуваат согласно правилата за заштита и безбедност во услови на елементарна непогода во насока на зголемување на нивната безбедност

***Задачи:***

- Изготвување на план за спроведување на евакуација на учениците и вработените во услови на елементарни непогоди
- стручно постапување согласно елементарната непогода преку увежбување;
- Давање насоки за постапување на учениците и вработените

***Критериум за успех:*** Наставниците користат задачи и активности кои кај учениците поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми. ***Индикатор за успешност*:**

- Практично обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи
- Зголеми нивото на заштита и безбедност на учениците и вработените во случај на елементарна непогода;

***Повратна информација:*** Информација и насоки на учениците и вработените од спроведената вежба

**ПРИЛОГ 38**

## РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ

| Денови | Дежурни наставници одделенска настава | Дежурни наставници предметна настава |
|---|---|---|
| **Понеделник** | Елизабета Георгиевска<br>Стефани Тоневска<br>Даниела Салтирова<br>Катерина Димовска<br>Лидија Георгиевска<br>Филип Петровски | Анета Митевска<br>Билјана Стојановска<br>Ванчо Јовчев<br>Бојана М.Личева<br>Маја Б.Величковска |
| **Вторник** | Тања Метикош<br>Даниела Торковска<br>Билјана Трајановска<br>Данче Костовка Јакимовска<br>Билјана Јовчева<br>Томислав Спасовски | Катерина Лукарова<br>Ивица Петрушевски<br>Елена Малинова<br>Лиле Сарваноска<br>Јовица Димески |
| **Среда** | Благица Станковска<br>Елизабета Ордева<br>Вилдана Суљовиќ<br>Анета Менчова<br>Христина Петровска<br>Андријана Недевска | Магдалена Павлеска<br>Марина Пејковска<br>Роза Јаневска<br>Весна Кочова<br>Фросина Јанакиевска |
| **Четврток** | Гордана Павлова<br>Виолета Стоилевска<br>Светланка Пешовска<br>Весна Димитровска<br>Весна Димовска | Елена Томевска<br>Марија Шеремет ковска<br>Александра Стојчевска<br>Јулија Атанасова<br>Јасмина Ѓорѓиева |
| **Петок** | Лидија Георгиевска<br>Билјана Јовчева<br>Христина Петровска<br>Весна Димовска<br>Нов наставник физичко и здравствено образование | Јорданчо Тодосиев<br>Марија Н.Наневска<br>Душанка Китановска<br>Стевче Здравковски Катица Стојчевска |

**ПРИЛОГ 39**

## ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите (во училиштето и училишниот двор) е составен дел од Правилникот за куќен ред на училиштето. Правилникот за однесување на учениците, родителите и наставниците ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што сите учесници во воспитно- образовниот процес имаат можност постојано да ги проследуваат и да се потсетуваат на истите.Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

## О ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

⇨ Учениците се должни да доаѓаат во училиште пристојно и соодветно облечени и со потребен прибор за работа на часот;
⇨ Учениците се должни навремено и редовно да доаѓаат во училиште;
⇨ Учениците своите наставници треба да ги чекаат во училниците на своите места;
⇨ Ученикот не смее без одобрение да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и по ходниците;
⇨ Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон вработеените во училиштето;
⇨ Ученикот треба да гради и развива позитивни и коректни односи со своите соученици;
⇨ Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето;
⇨ Учениците треба да го чуваат училишниот инвентар и нагледните сретства;
⇨ Учениците треба да го чуваат и да не го уништуваат зеленилото во училишниот двор и во ходниците;
⇨ Ученикот е должен за секое отсуство да приложи писмено или усно оправдување од родителот или старател;
⇨ На часовите учениците треба внимателно да слушаат и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
⇨ Да се ангажира во воннаставните активности согласно своите можности и интереси;
⇨ Да биде објективен, коректен и одговорен во однесувањето;
⇨ Да бидат дисциплинирани и да придонесат за одржување на работната атмосфера;
⇨ Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност;
⇨ Учениците треба да соработуваат со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;

⇨ Учениците не смеат да користат мобилни телефони за врема на часовите;

⇨ Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;

⇨ Да стекнува вештини за лично надоградување и организирање на слободното време;

⇨ Ученикот треба да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот;

⇨ Ученикот треба активно да се ангажира на часот;

⇨ Ученикот не смее да се доведе во ситуација да го загрози личниот живот и животот на другите во училиштето;

⇨ Ученикот треба да ги информита училишните служби за проблемите со кои се соочува;

⇨ Ученикот има право да побара помош од директорот, одделенските раководители,стручните соработници и одделенските и предметните наставници;

⇨ Доколку ученикот свесно не ги почитува овие начела и принципи, кон него ќе се превземаат соодветни педагошки мерки;

Овие правила на однесување се донесени од Ученичката училишна заедница. За нивно непочитување следува педагошка мерка според утврдениот критериум. За направена материјална штета следи парична надокнада според листата за парична надокнада. За направена нематеријална штета следи воспитна мерка. На ученикот кој користи мобилен телефон за време на часот, истиот ќе му биде одземен и вратен на неговиот родител.

**Дежурен ученик**

Дежурството го реализираат учениците од предметна настава и дежурниот ученик е ослободен од редовната настава за време на дежурството. Распоредот на времето на дежурство на ученикот го одредува класниот раководител на одделението.

**О Должности на дежурниот ученик:**

- ⇨ Дежурниот ученик доаѓа на училиште 10 минути пред почетокот на часовите, и ги извршува своите обврски во соработка со дежурниот наставник.
- ⇨ Дежурниот ученик и наставникот се должни да се наоѓаат на своето место кое определено со претходен план;
- ⇨ Дежурниот ученик се грижи за ред и дисциплина и соработува со дежурниот настваник;
- ⇨ Ги регистрира учениците кои не се однесуваат соодветно;
- ⇨ Ги контролира луѓето што влегуваат во зградата;

- ⇨ Ги води гостите до лицето што го бараат;
- ⇨ Заборавени предмети што ги наоѓа му ги предава на дежурниот наставник;
- ⇨ Бара помош од наставник, педагог или директор доколку сам не може да реши одреден проблем или да отстрани непознато лице кое што го нарушува редот во училиштето;

Во случај на замена, ученикот е должен да побара дозвола од наставникот.

**Однесување на ученици за време на екскурзии**

- ⇨ Навремено доаѓање на закажаното место за тргнување;
- ⇨ Културно и пристојно однесување за време на патувањето во автобусот (остатоците и кесите од храна да се фрлаат на определеното место за отпад, да не се пеат песни со навредливи содржини по основа на верска или национална припадност);
- ⇨ За време на посетите на знаменитостите да се почитува редот, а дисциплината да е на највисоко ниво;
- ⇨ При разгледувањето и прошетките на градовите да нама одвојување од групата;
- ⇨ При сместувањето во хотелските капацитети да се негува другарството, и да се почитуваат редот и мирот на другите гости во хотелот;
- ⇨ За време на престојот во хотелот треба да се чува инвентарот (секоја ненамено или намерно направена штета се наплатува од сторителo;
- ⇨ Да се почитува планот на предвидените дневни активности, а по нивното завршување, да се почитува времето за одмор (одморот започнува најдоцна од 24 часот).
- ⇨ За време на екскурзијата се забранува пушење цигари, внесување алкохолни пијалоци;

**О ПРАВИЛНИК НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ**

- ⇨ Наставникот е должен да биде во училница 15 мин. пред почетокот на часот;
- ⇨ Наставникот треба да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за училницата во која реализира настава;
- ⇨ Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;

- ⇨ Наставникот треба да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- ⇨ Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- ⇨ Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- ⇨ Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- ⇨ Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училиница;
- ⇨ Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и други вработени;
- ⇨ Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- ⇨ Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- ⇨ Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари и користење на современа технологија;
- ⇨ Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- ⇨ Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- ⇨ Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- ⇨ Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- ⇨ Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- ⇨ Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оцени;
- ⇨ Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтертира психички;
- ⇨ Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- ⇨ Наставниот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- ⇨ Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- ⇨ Наставникот треба да го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемите на учениците;
- ⇨ Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- ⇨ Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;

- ⇨ Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;

**О ПРАВИЛНИК НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ**

- ⇨ Родителот го почитува Куќниот ред на училиштето;
- ⇨ Со своето однесување родителот претставува позитивен пример за своето дете;
- ⇨ При посета на училиштето родителот го почитува кодексот на пристојно облекување;
- ⇨ Родителот континуирано се интересира за успехот и постигањата на своето дете;
- ⇨ Посетите во училиштето родителот ги врши во термините за прием од наставникот;
- ⇨ Родителот ја почитува личноста на наставникот;
- ⇨ Родителот е активен соработник на училиштето;
- ⇨ Родителот не врши притисок врз наставникот за добивање на повисока оцена на своето дете;
- ⇨ Родителот не влегува во училница доколку не е присутен наставник;
- ⇨ Родителот редовно и навреме одговара на повикот од наставник или стручната служба;
- ⇨ Родителот навремено го оправдува отсуството на своето дете;
- ⇨ Родителот навремено ги подмирува финансиските обврски кон училиштето (исхрана, списанија, екскурзии и сл);
- ⇨ Родителите кои ги земаат своите деца од училиште, ги пречекуваат во училишниот двор;
- ⇨ Родителот ја почитува целокупната работа на училиштето и со почит и коректност да се однесува со наставниците, вработените, учениците и останатите родители;
- ⇨ Родителот се грижи неговото дете редовно и навремено да ја посетува наставата;
- ⇨ Родителот допринесува за правилен однос на ученикот кон учењето, училиштето, училишниот имот и учебниците;
- ⇨ Редовно да се информира за успехот и постигањата на своето дете на индивидуални или родителски средби;
- ⇨ Рдителот соработува со педагошката служба;
- ⇨ Родителите на учениците имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето;
- ⇨ Родителите при влегување во училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице;
- ⇨ Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето;

- ⇨ Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
- ⇨ Наврме и објективно го информира наставникот за сите важни промени и случувања во животот на детето;
- ⇨ Активно да учествува во реализација на сите планирани и програмирани задачи во одделението каде учи неговото дете, и на ниво на училиште;

**ЕКО КОДЕКС**

**Капка вода - КАПКА ЖИВОТ**

**Чист воздух-ЗДРАВ ЖИВОТ**

**Како прво,засади дрво!**

**Собирај и селектирај,**
**Реупотреби и рециклирај.**

**Ова да биде задача за секој клас,**
**Природата ќе ни врати на сите нас!**
***За подобро утре, размисли денес !***

**Биди еколог имај еколошка култура** !

**Затварај ги чешмите и штеди**
**Планетата е наша Мајка**
**Секоја капка вода е драгоцена**

**Да ја сакаме,почитуваме**

**За секого многу вреди !!!**
**И да не ја уништуваме !!!**

**Капка по капка**

**дождовница собираме**
**за планетата**
**Земја**
**од недостиг на вода**

**Штеди енергија,светлото исклучи**
**кога сонцето грее!!!!**
**да ја поштедиме !!!**

***Природата е богатство***
***што треба да се чува!!!***

**ПРИЛОГ 40 ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР**

**ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА**

| ***ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Активности** | **Индикатори** | **Носител на активност** | **Временска рамка за реализација** | **Ресурси** | **Очекувани исходи/резултати** |
| Приправник | - доделување на менторство - изготвување на програма за поддршка на приправникот - следење и евалуација на работата на приправникот - изготвување на извештај за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит | *Изготвена менторска програма<br><br>*дадено мислење по завршен приправнички стаж | Директор, наставник стручен соработник | По засновање на работен однос (во рок од 1 година) | / | *Успешно совладани основни компетнции за наставник/стручен соработник (приправник)<br>*Положен приправнички испит |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставник/стручен соработник ментор | Наставник ментор:<br>- менторирање на наставник-приправник | *Изготвена менторска програма | Наставници | По објавување на | Прирачник за професионален и | *Успешно развиени компетенции и стандарди за наставник/стручен |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - менторирање на студенти од факултетите за наставници - менторирање на наставници што имаат поддржан професионален развој<br>- користење иновативни приоди и им помага на колегите во спроведување на акциски истражувања<br>- учество во изготвување на развојни политики на училиштето - други задачи согласно стекнатите компетенции за наставник-ментор<br><br><u>Стручен соработник ментор:</u> - менторирање на стручен соработникприправник - менторирање на студенти од соодветните | *анализи и извештаии од спроведени акциски истражувања<br><br>*Изготвени развојни планови<br><br>*Изготвена менторска програма<br><br>*Програма и акционен план за професионален развој, ЛППР<br>*примена на иновативни приоди во воспитнообразовната работа<br>*воспоставена партнерска соработка со наставник, ученик, родител и локална | Стручни соработници | конкурс од страна на МОН<br><br>По објавување на конкурс од страна на МОН | кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта<br><br>Прирачник за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и | соработник ментор<br><br>*добивање на звање наставник/стручен соработник-ментор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | факултети - следење и | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Милинка Митевска | 1962 | / | Основно | хигиеничар | 24 |
| 5. | Ѓулетман Богоевска | 1962 | / | Основно | хигиеничар | 42 |
| 6. | Светланка Младеновска | 1965 | / | Основно | хигиеничар | 15 |
| 7. | Раде Зафировски | 1960 | / | Основно | хигиеничар | 28 |
| 8. | Џеваир Лимани | 1964 | / | Основно | хигиеничар | 13 |
| 9. | Кадише Раманова | 1990 | / | Основно | хигиеничар | / |

## 3.6 Податоци за ангажирани образовни медијатори

| Реден бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | / | / | / | / | / | / |

## 3.7. Вкупно податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на наставен и ненаставен кадар | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж | м | Ж |
| Број на вработени | 60 | 7 | 37 | 7 | 8 | | | | 1 | | |
| Број на наставен кадар | 44 | 4 | 27 | 6 | 7 | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 4 | | 4 | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 9 | 2 | 4 | 1 | 1 | | | | 1 | | |
| Директор | 1 | 1 | | | | | | | | | |

## 3.8. Вкупно податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии – втор циклус | 1 |
| Високо образование | 43 |
| Виша стручна спрема | 4 |
| Средно образование | 6 |
| Основно образование | 6 |

### 3.9. Вкупно податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 5 |
| 31-40 | 13 |
| 41-50 | 22 |
| 51-60 | 12 |
| 61- пензија | 8 |

### 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Согласно законот за упис на ученици во прво одделение, директорот на училиштето формира комисија составена од тројца стручни соработници и двајца одделенски наставници, како и комисија во ПУ с.Страчинци составена од двајца одделенски наставници. Согласно таа одлука, членовите на комисијата пристапуваат кон подготовка на организацијата и реализацијата на уписот на ученици во прво одделение.

| Одд | Број на паралелки | | Број на ученици | | Македонци | | Албанци | | Срби | | Роми | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж |
| | Стајковци | Страчинци | Стајковци | Страчинци | Стајковци | | Страчинци | | Стајковци | | | | | |
| I | 2 | 1 | 36 | 10 | 15 | 21 | 3 | 7 | | | | | | |
| II | 2 | 1 | 38 | 9 | 21 | 17 | 5 | 4 | | | | | | |
| III | 2 | 1 | 27 | 8 | 13 | 14 | 4 | 4 | | | | | | |
| IV | 2 | 1 | 32 | 11 | 15 | 17 | 8 | 3 | | | | | | |
| V | 2 | 1 | 26 | 8 | 16 | 10 | 4 | 4 | | | | | | |
| I - V | 10 | 5 | 159 | 46 | 80 | 79 | 24 | 22 | | | | | | |
| VI | 2 | 1 | 36 | 12 | 27 | 9 | 6 | 6 | | | | | | |
| VII | 2 | 1 | 39 | 13 | 21 | 18 | 9 | 4 | | | 1 | | | |
| VIII | 2 | 1 | 27 | 11 | 14 | 13 | 3 | 8 | | | | | | |
| IX | 2 | 1 | 46 | 7 | 24 | 20 | 3 | 4 | | | 1 | | | |
| VI-IX | 8 | 4 | 148 | 43 | 86 | 60 | 21 | 22 | | | 2 | | | |
| **I-IX** | **18** | **9** | **307** | **89** | **166** | **139** | **45** | **44** | | | **2** | | | |

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

За финансиското работење на училиштето е одговорен директорот на училиштето и сметководителот. Финансирањето во училиштето се остварува преку блок дотации од буџетот на Општина Гази Баба. Во планот на расходи се предвидени средства за заштита и безбедност при работа на вработените, средства за канцелариски материјали, средства за хигиена, како и комунални трошоци.

Училиштето во својот план ги предвидува средствата за семинари и конференции и обуки, вонучилишни-образовни активности, се со цел унапредување на воспитно-образовниот процес и поголеми постигања во знаењета и напредокот на учениците.

Во училиштето се располага со самофинасирачка и две донаторски сметки. Самофинансирачката сметка главно се финансира од издавање на училишен простор. Средствата од оваа сметка се користат за потребите на училиштето.

Донаторските сметки се финансирани од Европска комисија од Еразмус+ програмата. Овие средства се наменети за проекти, се со цел размена на знаење, вештини, таленти, запознавање на процесот на образование на учениците од различни култури, држави, како важни фактори за нивната иднина. Проектите имаат за цел да се

едуцираат учениците за вредностите кои се од суштинско значење за општеството и иднината на младите.

По посета на инспектори од одделението за финансии при Општина Гази Баба утврдено е дека училиштето работи коректно и посветено според важечките прописи за финансиско работење на буџетските институции.

Нашето училиште останува и понатаму да се залага за совесно и прописно работење во интерес на учениците, локалната заедница и вработените.

## *5. Мисија и визија*

**МИСИЈА:** Да се овозможи развој на секое дете во средина каде што ќе се чувствува прифатено, сакано, безбедно и задоволно, во средина во која ќе се води сметка за спецификите на детето како индивидуа и каде ќе се оспособува за самостоен и одговорен живот.

**ВИЗИЈА:** Градиме модерно училиште со користење современи методи и техники, тимска работа, стимулативна средина и добри меѓучовечки односи. Училиште кое поттикнува толеранција, разбирање и ненасилна комуникација.

**МОТО:** Успешно училиште - светла иднина!

## *6.* „Lessons learned"- *Веќе научено/стекнати*

При планирање на работата, училиштето постојано ги користи искуствата од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Тие придонесуваат за подобрување на работниот процес во училиштето, за изготвување на Годишните програми на училиштето и на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците.

За успешно постигнување на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од следниве релевантни извори: анализи и заклучоци од извештајот од спроведената Самоевалуација за работа на училиштето (2020/2021 и 2021/2022), Развојна програма на училиштето за 2021-2025 година, Извештајот од интегралната евалуација на училиштето (мај 2023), Одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители, Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи, Извештаи од реализација на наставните планови и програми, Стекнати знаења и компетенции од посетени обуки, семинари и работилници, Правилници за работа и етички кодекси за сите целни групи, Критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците, Примена на ИКТ во наставата и воннаставните активности, Реализација на воннаставни активности, секции, проекти и слободни ученички активности преку програмата за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем, проекти за меѓуетничка интеграција во образованието (МОН, МИМО–УСАИД/МЦГО).

Оваа учебна година акцентот беше ставен на:

- Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар, стручната служба и другите вработени во училиштето**;**
- Осовременување на воспитно-образовната работа преку подобрување на просторните услови во училиштето, како што е изградба и опремување на фискултурна сала;
- Зајакнување на демократската партиципација на учениците и меѓуетничката интеграција во училиштето и осовременување на наставата преку создавање услови за воведување на кабинетска настава;
- Доопремување на училиштето со нагледен наставен материјал како добар предуслов за успешно изведена настава;
- Соработката со родителите која води кон подобар резултат за успехот на учениците;
- Успешната работа на психолошко-педагошката служба со чии активности се постигнаа подобри резултати кај учениците;
- Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците;
- Учество на Ерасмус+ проекти на меѓународно ниво;
- Вклученоста и изработката на проекти (Еко-проект, МИО, МИМО, училиште без насилство и др.);
- Учество во хуманитарни акции преку соработка со Црвен крст.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Тргнувајќи од Развојната програма за работа на училиштето и Самоевалуацијата на училиштето, за оваа учебна година ги истакнуваме следните приоритети кои припаѓаат во седумте подрачја на опсервација на основното училиште:

- Зајакнување на капацитетите на наставниците за користење современи методи и техники и доживотно учење
- Подобрување на условите за работа во училиштето и осовременување на наставата/изградба на фискултурна сала во ПУ Страчинци
- Воннаставни активности и демократска партиципација (инклузија, интеркултурализам, училишен театар)
- Набавка и доопремување на училниците со нагледни средства

| **Приоритетно подрачје на промени** | **УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешки цели:** Зајакнување на капацитетите на наставниците за користење современи методи и техники и доживотно учење<br>**Развојна цел:** Зајакнување на капацитетите на наставниците за осовременување на наставата преку користење современи методи и техники<br>**Конкретна цел:** Идентификација на потребата од осовременување на наставата преку примена на современи методи и техники | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење на реализација на активностите |
| Формирање тим за организација | Договор и соработка на тимот | Директор, стручна служба, родители наставници, | август-септември 2023 | хартија, компјутер интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење обуки на наставниот кадар | Подобрени компетенции на наставниот кадар | Наставници | август 2023-јуни 2024 | хартија, компјутер, компјутерска опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Одржување работилници за развивање критичко размислување интерактивна комуникација и соработка | Подобрени вештини за доживотно учење | Директор, стручна служба, наставници, ученици | во периодот 2023-2024 | хартија, компјутер, компјутерска опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |
| Евалуација на резултатите од спроведените обуки | Примена на стекнатото знаење во наставниот процес/ ефективна настава | Директор, стручна служба, наставници | континуирано | хартија, компјутер компјутерска опрема, интернет | Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште |

| **Приоритетно подрачје на промени** | | | **РЕСУРСИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел:** Подобрување на условите за работа во училиштето и осовременување на наставата<br>**Развојна цел:** Зголемување на просторните капацитети во училишните згради<br>**Конкретна цел**: Изградба на просторија (фискултурна сала) за изведување на наставата по ФЗО во ПУ С.Страчинци | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности те | Временска рамка за имплемен тација | Ресурси | Тим за следење на реализација на активностите |
| Формирање на тим за увид на состојбата во просторните услови | формиран тим/ комисија | директор | септември-ноември 2023 | компјутер, хартија | директор |
| Идентификација на постоечката состојба | согледана состојба и план | директор | септември-ноември 2023 | компјутер, хартија | комисија за увид, директор |
| Прибирање на понуди | пристигнати понуди | Комисија за јавни набавки | 2023/2024 | компјутер, хартија | директор |
| Избор на најповолна понуда | Тендерска постапка за избор на фирма изведувач | Избрана понуда за изведувач | 2023/2024 | планирани трошоци во зависност од потребите | комисија за јавни набавки директор |
| Изведување на активностите | Реализација на планирани | Изведувач | 2023/2025 | градежни материјали | директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | активности | | | | |
| Технички прием на објектите/ просториите | Функционални простории | Комисија, директор, локална самоуправа | 2024/2025 | потребна документација | директор |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **РЕСУРСИ; УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** |
|---|---|

**Стратешка цел:** Подобрување на условите за работа во училиштето и осовременување на наставата
**Развојна цел:** Доопремување на училниците со нагледни средства
**Конкретна цел**: Набавка и доопремување на училниците со нагледни средства (компјутери)

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење на реализација на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Увид на состојбата со постоечките нагледни средства | Согледната состојба и план на активности | директор, комисија, одговорни наставници | септември-ноември 2023 | компјутер, хартија | директор<br><br>комисија<br><br>стручна служба |
| Изработка на финансиски план/барање на средства и донатори | Финансиски план, финансиски средства | директор секретар, комисија, домакин | септември-ноември 2023 | компјутер, хартија | комисија за увид, директор, домаќин |
| Прибирање на понуди | пристигнати понуди | Комисија за јавни набавки | 2023/2024 | компјутер, хартија | директор |
| Избор на најповолна понуда | Тендерска постапка за избор на фирма изведувач | Избрана понуда за изведувач | 2023/2024 | планирани трошоци во зависност од потребите | комисија за јавни набавки директор |
| Опремување на просториите | Функционална училница/ кабинет | домаќин комисија директор хаус мајстор | 2023/2024 | компјутерска опрема, шкафови | директор |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **Постигања на учениците; Учење и настава** |
|---|---|

**Стратешка цел:** Воспитно-образовен процес - воннаставни активности и демократска партиципација
**Развојна цел**: Планирање и реализирање разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците
**Конкретна цел:** Мотивирање и вклучување на учениците во воннаставните активности

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење на реализација на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Информираност | Поголема | стручна | септември | хартија, | Комисија за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на родителите и учениците за воннаставните активности (флаер, брошура) | вклученост на учениците | служба, наставници, ученици | 2023 | компјутер, компјутерска опрема, интернет | Развојна програма |
| Вклученост и поттик на учениците во воннаставните активности | Поголем интерес кај учениците за вклучување во овие активности | стручна служба, наставници, ученици | септември-јуни | хартија, компјутер, компјутерска опрема, нагледни средства | Комисија за Развојна програма |
| Креирање тим за формирање училишен театар | Проширени вештини за драмска и музичка уметност | стручна служба, наставници, ученици | септември-јуни | сцена, опрема за сцена, музички инструменти, сценски реквизити | Комисија за Развојна програма |

# 8. Програми и организација на работата во училиштето

## 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

**КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2023/2024 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година.

Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2024 година до 12 јануари 2024 година користат платени неработни денови.

Пролетниот распуст започнува на 29 април и завршува на 6 мај 2024 година.

Летниот одмор започнува на 18 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година.

Член 5

Основните училишта од 18 јуни до 1 јули 2024 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 21 август 2024 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2023/2024 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар престанува да важи Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2022/2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178//22 и 6/23).

Член 11

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2023 година.

**Бр. 18-8242/1**
**3 август 2023 година**

**ИНТЕРЕН КАЛЕНДАР**

*Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и наука. Во овој календар нашето училиште одделно ги внесе деновите кои се неработни за училиштето (ден на училиштето, ден на општината, неработни денови за етничките заедници и сл.). Календарот е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, уредување на училишниот хол, паноата, уредување на содржините за ѕиден весник, организирање прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции и други активности).*

Согласно Законот за празниците на РСМ неработни денови се:

***За сите граѓани на РСМ***

- 8 септември (петок), Ден на независноста,
- 11 октомври (среда), Ден на народното востание,
- 23 Октомври (понеделник), Ден на македонската револуционерна борба
- 8 декември (петок), “Св. Климент Охридски”,
- 6 мај (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден,
- 10 април (среда), Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам,
- 1 мај (среда) Ден на трудот
- 24 мај (петок) „Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители.

***За граѓаните од православна вероисповед***

- 19 јануари (петок) - Богојавление-Водици
- 3 мај (петок) - Велики Петок, петок пред Велигден
- 21 јуни (петок) - петок пред Духовден

***За граѓаните припадници на албанската заедница во РСМ***

- 22 ноември (среда), Ден на Албанската азбука
- 10 април (среда), Рамазан Бајрам, прв ден

**Одбележување на значајни датуми**

- 29 Декември (петок) Одбележување на Нова година
- 23 Мај (четврток) Одбележување на патрониот ден на училиштето
- 3 Ноември (петок) Одбележување на Денот на општината

| | |
|---|---|
| **Понеделник** | **36** |
| **Вторник** | **37** |
| **Среда** | **34** |
| **Четврток** | **38** |
| **Петок** | **35** |
| **Вкупно наставни денови** | **180** |

**Еколошки календар**

| | |
|---|---|
| 16 Септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 Септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 8 Октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 Октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 Октомври | Меѓународенден на храната |
| 29 Декември | Меѓународен ден на биодиверзитетот (биолошка разновидност) |
| 5 Март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 21 Март | Ден на екологијата |
| 22 Март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 Април | Светски ден на здравјето |
| 22 Април | Светски ден на планетата Земја |
| 15 Мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 Мај | Светски ден против пушењето |
| 5 Јуни | Светски ден за заштита на животната средина |

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

**Одделенска настава**

| Р.б | Наставник | Одделение | Наставни часови |
|---|---|---|---|
| 1. | Додевска Ивона | I-1 | 20 |
| 2. | Анѓелевска Јасминка | I-2 | 20 |
| 3. | Кривца Имране | I-3 | 20 |
| 4. | Андовска Габриела | II-1 | 20 |
| 5. | Верица Миладиновиќ Кировска | II-2 | 20 |
| 6. | Шабани Музафера | II-3 | 20 |
| 7. | Сандева Адријана | III-1 | 20 |
| 8. | Наумовска Даниела | III-2 | 20 |
| 9. | Касами Северџан | III-3 | 20 |
| 10. | Величковска-Ангелковска Весна | IV-1 | 22 |
| 11. | Накева Александра | IV-2 | 22 |
| 12. | Фазли Тасим | IV-3 | 22 |
| 13. | Постоловска Габриела | V-1 | 19 |
| 14. | Илиевска Дијана | V-2 | 19 |
| 15. | Мемети Рејхане | V-3 | 19 |
| 16. | Јасмина Анакиоска | II-V Англиски јазик | 21 |
| 17. | Оливероска - Трајкоска Билјана | I-VI I Англиски јазик | 7 |
| 18. | Филип Мојсовски | II-V Физ.и здр.образование | 21 |
| 19. | | I Физ.и здр.образование | 6 |

**Предметна настава**

| Р.б | Наставник | Наст.часов | Одд.час | Допол.часов | Вкупно час. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Арсова Биљана | 21 | IX -1 | | 22 |
| 2. | Митреска Марија | 16 | | | 16 |
| 3. | Ганиу Фатон | 12 | IX -3 | 9 | 21 |
| 4. | Србиновска Благица | 20 | VI-2 | | 21 |
| 5. | Цекова Маја | 20 | VI-1 | | 21 |
| 6. | Гани Сание | 20 | VI-3 | | 21 |
| 7. | Јорданов Габриела | 20 | IX -2 | | 21 |
| 8. | Димоска Марина | 12 | VII-1 | 8 | 21 |
| 9. | Мемети Зејнуре | 22 | | | 22 |
| 10. | Чочова Ели | 21 | VIII -1 | | 21 |
| 11. | Медарска Маја | 20 | VIII-2 | | 21 |
| 12. | Емини Илфие | 22 | VIII-3 | | 23 |
| 13. | Јездиќ Јасмина | 22 | VII-2 | | 23 |
| 14. | Тасевски Александар | 21 | | | 21 |
| 15. | Костовски Дарко | 21 | | | 21 |
| 16. | Димитрова Марија | 4 | | да | 20 |
| 17. | Симиќ Огнен | 18/20 | | 4 | 22/24 |
| 18. | Анчевска Славица | 4 | | 18 | 21 |
| 19. | Николовска Валентина | 4 | | 16 | 20 |
| 20. | Сакипи Ќамуран | 10 | | | 10 |
| 21. | Елези Вјоса | 25 | VII-3 | | 25 |
| 22. | Кузмановска Анета | 13 | | 8 | 21 |
| 23. | Ваљбон Беџети | 11 | | да | 20 |
| 24. | Мамути Амир | 2 | | не | 2 |
| 25. | Теута Хаскај Војника | 8 | | да | 20 |
| 26. | Радица Цветковска П. | 2 | | да | 21 |
| 27. | Сабир Ајрула | 12 | | не | 12 |

Поделба на одделенско раководство и поделба на часовите на наставниот кадар се врши на Наставнички совет согласно ЗОО, нормативот за наставен кадар. Часот на одделенската заедница се реализира според програма утврдена од МОН, на предлог на Бирото за развој на образованието и други активности поврзани со паралелката.

Задоложителната настава е организирана по одделенија од I до IX по наставните предмети согласно наставниот план и програми за ВОД на основните училишта, според однапред утврден распоред на наставните часови.

Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни дена. Наставниот час трае 40 минути. Распоредот на часови за одделенска и предметна настава го изготвува наставник по математика водејќи сметка за тежината на предметите.

Во основните училишта во учебната 2023/2024 година воспитно-образовниот процес се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата, согласно Наставниот план за учебната 2023/2024 година, во училница со стандардна големина.

### 8.3. Работа во смени

Училиштето организира задолжителна настава за сите ученици од прво до деветто одделение. Наставата се изведува во прва и втора смена и се менува на две седмици по следниот распоред.

| Одделенска | |
|---|---|
| Прва смена | 7:30 – 12:30 |
| Втора смена | 13:15 – 17:55 |

| Предметна | |
|---|---|
| Прва смена | 7:30 – 12:55 |
| Втора смена | 13:15 –18:10 |

### 8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

Воспитно образовната дејност во матичното училиште се реализира на македонски наставен јазик, додека во ПОУ с.Страчинци на албански наставен јазик со задолжително изучување на македонскиот јазик од IV-IX одд.

| | Наставен јазик - македонски | Наставен јазик - албански | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 18 | 9 | 27 |
| Број на ученици | 307 | 89 | 396 |
| Број на наставници | 31 | 17 | 48 |

### 8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

Прифаќање и заштита на учениците од I, II и III одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава, се реализира во согласност со родителот.

За учениците од I до III одделение се организира продолжен престој, по добиена согласност од МОН или Основачот. Заинтересираноста на родителите се утврдува на родителските средби со анкети.

### 8.6. Комбинирани паралелки

Во основното училиште, доколку има потреба, Основачот може да формира комбинирана паралелка по добиено позитивно мислење од МОН.

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Задолжителен странски јазик во училиштето е англискиот јазик, кој се изучува од прво до деветто одделение. За изведување на наставата по англиски јазик од прво до петто одделение се вклучува наставник по англиски јазик.

Вториот странски јазик се изучува од шесто до деветто одделение. Во Стајковци, се изучува француски јазик во 8 паралелки. Во ПОУ Страчинци се изучува германски јазик во 4 паралелки.

### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Согласно новиот закон за Основно образование, наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение ќе ја изведуваат „тандем наставници“, односно одделенскиот наставник заедно со наставник по физичко и здравствено образование. Овој пристап ќе обезбеди постигнување на поголеми резултати кај учениците во однос на спортското знаење, психомоторниот развој, правилниот раст и развој и ќе се допринесе за превенција и корекција на телесните деформитети, особено на ‘рбетниот столб и стапалата, што се најприсутни кај учениците од прво до петто одделение.

### 8.9. Изборна настава

Постапката за избирање на изборните предмети е врз основа на предложениот наставен план и програмите дадени од БРО, можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците преку анкетни листови во месец јуни претходната учебна година.

Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Во тековната учебна година, според резултатите од анкетите, учениците ќе ги изучуваат следните изборни предмети:

| Изборен предмет | Одделение | Наставник |
|---|---|---|
| Класична култура; Готвење и Вештини за живеење | VI-1 / VI-2 | Валентина Николовска |
| Етика на религиите и Класична култура | VI-3 | Амир Мамути |
| Вештини за живеење | VII-1 / VII-2 | Ели Чочова |
| Проекти од музичката уметност | VII-3 | Ваљбон Беџети |
| Проекти од ликовната уметност | VIII-1 / VIII-2 | Ели Чочова |
| Вештини за живеење | VIII-3 | Зејнуре Мемети |
| Проекти од музичката уметност | IX-1 / IX-2 | Александар Тасевски |
| Танци и народни ора | IX-3 | Ваљбон Беџети |

### 8.10. Дополнителна настава

Според ЗОО, член 31 се организира дополнителна настава за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученикот, родител/старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно потребите на учениците. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава наставникот води евиденција и го известува родителот/старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

### 8.11. Додатна настава

Според ЗОО член 32, додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Наставникот е должен да ја понуди додатната настава на учениците, а тие одлучуваат дали ќе ја посетуваат. Основното училиштето на месечна основа изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт. Секој наставник, освен часовите кои ги одржува во рамките на својот неделен фонд на часови, поминува неделно уште пет работни часа во директна работа со ученици за да се реализираат дополнителната и додатната настава, работата со талентираните и надарените ученици, работата на секциите и воннаставните активности. Врз основа на идентификација на надарените ученици, училиштето изготвува Индивидуализирани програми за надарени и талентирани ученици и истите ќе ги реализираат одговорни наставници во соработка со стручните соработници во согласност со Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици.

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Директорот формира училишен инклузивен тим и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план. Инклузивниот тим, во состав од педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето, подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно неговите индивидуални потенцијали и потреби. При изработката на ИОП и модифицирана наставна програма, инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници вклучени во образовниот процес на ученикот.

Индивидуалните образовните планови се составен дел и од годишните планирања на наставниците. За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште има законска можност да обезбеди: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма.

Со останатите ученици кои немаат таков документ, а кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини се работи индивидуализирано и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава. Со овие ученици работи индивидуализирано специјалниот едукатор и рехабилитатор, а со поддршка од педагогот и психологот, со дозвола од родител.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Министерството обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Дополнителната поддршка ја реализира тутор/волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот. Тутор/волонтер, може да биде редовен студент кој

доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите утврдени во програмата.

### 8.15. План за образовен медијатор

За учениците Роми кои поттекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образованиот систем, на барање на училиштето е ангажиран образовен медијатор.

## 9. Воннаставни активности

За развивање на различните интереси и компетенциите (знаења, вештини, вредности и ставови) на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности, која ја утврдува министерот на предлог на Бирото. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни, достапни за сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја:

1. Личен и социјален развој
2. Демократска култура, мултикултура и граѓанство
3. Уметничко изразување и култура
4. Претприемништво и финансиска писменост

Учениците, според нивните интереси и потреби, се вклучуваат во воннаставни активности, кои редовната настава делумно или не ги опфаќа. Воннаставните активности им овозможуваат на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и ја подигаат нивната мотивација за постигнување повисок училишен успех. Во училиштата се реализираат повеќе видови задолжителни воннаставни активности кои можат да бидат краткотрајни, какви што се: акциите, излетите, екскурзиите и еднократните работилници или подолготрајни, какви што се: еколошките клубови, спортските клубови, училишниот театар, училишниот хор и оркестар. Овие активности се реализираат и преку соработка со родителите, локалната заедница и партнерски училишта. Во прилог е програмата на понудени воннаставни активности во училиштето.

### 9.1. Училишни спортски клубови

Активностите во рамки на училишните спортски клубови покрај поттикнување на натпреварувачкиот дух кај децата, се насочени кон дружењето, запознавањето на ученици од други училишта, развивање на колективниот дух како пример за функционирање во заедница и на чувството на фер-плеј како еден од основните принципи на живеење. Училишен спортски клуб основаат најмалку пет наставници кои засновале работен однос на неопределено време во основното училиште, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт. Во рамки на училиштето функционира училишен спортски клуб УСК Кирил и Методиј - КИМ кој во соработка со ФУСМАК е активно во сите општински, регионални и државни лиги. Одговорни наставници за слободните спортски активности (ракомет, фудбал, одбојка, кошарка, пинг-понг) се Дарко Костовски и Фатон Ганиу. Во организација на Федерацијата на училишен спорт, преку Сојузот на училишен спорт на град Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) и во индивидуалните спортови (атлетика, карате, џудо, борење, пинг-понг, шах) на општинско, регионално и државно ниво. Системот на натпревари е претходно утврден

од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на училишен спорт на град Скопје, општина Гази Баба.

### 9.2. Секции/Клубови

Според наставниот план за работа изготвен од БРО, а одобрен од МОН и новата концепција за воннаставни активности, слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. За учество во работата на секциите учениците се определуваат со пополнување на анкетни листи кои се задаваат во почеток на учебната година. Секој ученик, по свој личен избор, може да се одлучи да членува во една или најмногу две секции. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка, во различни паралелки од иста година, или во различни години во рамки на ист возрасен циклус. Слободните ученички активности имаат цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат афинитети и интереси, без оглед на успехот во наставата. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од наставниците, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација. Стекнатите знаења ќе бидат презентирани на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно-образовната дејност на училиштето.

### 9.3. Акции

Во нашето училиште се реализираат разновидни акции (организирање на базари, прослави, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акциии сл.), во организација на одговорни наставници, учениците, родителите и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици. За оваа улебна година се планирани базари, прослави, одбележувања на значајни датуми, Отворен ден на граѓанско образование, одбележување на Ден на општината и Ден на училиштето, учество на учениците во разни хуманитарни акции и работни акции во и надвор од училиштето, уредување на училниците и училишниот двор и сл. За сите активности се изготвува посебна програма, поддржана од Ученичката заедница, Училишниот одбор и Советот на родители.

## *10. Ученичко организирање и учество*

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Училиштето ќе овозможи активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности и домени во училиштето кои се однесуваат на него, односно ќе ги стимулира учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат, како и можност да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Учениците ќе се здружуваат и активно ќе учествуваат преку следните модели:

- одделенска/класна заедница,
- ученички парламент,
- ученик правобранител.

**Организирање во заедница на паралелката**

Во одделенската/класната заедница се избира претседател и заменик претседател согласно постоечката Процедура. Работата на одделенската/класната заедница ја води претседателот на одделението. За успешно функционирање на одделенската заедница претседателот треба да ги извршува следните задачи: Првата недела после изборот на постојаните тела претседателот го свикува првиот состанок и ќе изготват план за работа за учебната година со предлог активности во кои ќе бидат вклучени сите членови на одделенската заедница. Претседателот е должен да свикува минимум еден состанок во месецот на кој ќе се разгледуваат тековните потреби на учениците од одделението/класот, ќе се разговара за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа. На овие состаноци во согласност со потребите може да се донесе и одлука за формирање на повремени тела за кој одделенската/класната заедница смета дека е неопходно нивно формирање.

**Ученичкиот парламент**

Ученичкиот парламент е најзначаен облик на организирање на учениците на ниво на училиште во кој членуваат сите претседателите на одделенските/класните заедници во едно училиште. На конститутивна седница, која се одржува во последната работна недела во месец септември, се избира комисија од тројца членови која го спроведува изборот на претседател на ученичкиот парламент. Во работата на претседателот на ученичкиот парламент му помагаат заменик - претседател и секретар на ученичкиот парламент кои се избираат на истиот начин, со поднесување пријава, тајно гласање. Ученичкиот парламент е надлежен:

-да ги донесува Правилникот за работа на класни заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;

-активно да учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;

-активно да учествува во промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците;

-го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.

**Ученик правобранител**

Стручната служба подготвува отворен повик за избор на ученик правобранител и негови заменици, на кој може да аплицираат само учениците од VIII и IX одделение за ученик правобранител, а за заменици може да аплицираат и ученици од VII одделение. Се следат утврдените Чекори за селекција и однапред утврдени критериуми. Мандатот на Ученикот правобранител и неговите заменици е 2 години. Улогата на Ученик правобранител и неговите заменици се состои од три примарни компоненти, едукативна заштита на детските права и доставува поплаки до стручната служба на натамошно решавање и поднесување претставки до Народниот правобранител согласно утврдената процедура.

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Согласно правилникот за начинот за изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците, тимот изработи програма за екскурзии излети и настава во природа за тековната учебна година. Училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците имаат за цел совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето. Задачите се истражување, развивање интерес за природата, градење еколошки навики, градење чувство за толеранција и соживот, социјализација, стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
Според својата функција, цели и задачи, училиштето изготвува

- План и содржина на екскурзиите во кои се наведени:
- Време на изведуање;
- Воспитно-образовни цели;
- Траење на екскурзиите;
- Опфатени ученици;
- Релации и места за посетување;
- Време за одмор, дружење и разонода;
- Водич на ексурзијата и наставници;
- Учество на лекар и родители;
- Финансиски потреби за екскурзијата;
- Техничка организација.

Ученичките екскурзии и посети се планираат согласно Правилникот за изведување ученички екскурзии и посети. Во прегледот што следува се преставени планираните екскурзии:

| Екскурзии и излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Излет | Септември/Октомври 2023 | Излетничко место Марков Манастир | I – IX одд. |
| Наставно-научна екскурзија со рекреативен карактер | Април/Мај 2024 | Тетово (еднодневна) | III одд. |
| Настава во природа | Април/ Мај 2024 | Охрид | V одд. |
| Наставно-научна екскурзија со рекреативен карактер | Април/Мај 2024 | Источниот дел на РС Македонија (дводневна) | VI одд. |
| Наставно научна екскурзија со рекреативен карактер | Септември/Октомври 2023 | Централниот и Западниот дел на РС Македонија (тридневна) | IX одд. |
| Излет | Април/ Мај 2024 | Излетничко место парк шума-Гази Баба | I – IX одд. |

**11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности**

| Вонучилишни активности | Број на ученици | Паралелки |
|---|---|---|
| Основно музичко училиште | 10 | I, III, IV, V,VII, VIII и IX одделение од централното и подрачното училиште |
| Балетско училиште | 3 | III, IV, V од централното училиште |
| Училиште за танц | 20 | Од I - IX од централното и подрачното училиште |
| Кошаркарски клуб | 18 | Од VI - IX од централното и подрачното училиште |
| Фудбалски клуб | 19 | Од VI - IX од централното и подрачното училиште |
| Одбојка | 18 | Од VI - IX од централното и подрачното училиште |
| Боречки вештини | 5 | Од I - VII од централното и подрачното училиште |
| Пливање | 5 | Од III - IX од централното и подрачното училиште |
| Ракомет | 12 | Од I - IX од централното и подрачното училиште |
| Училиште за ментална аритметика | 3 | Од I до IV одделение |

**Забелешка:** Овие податоци за бројот на ученици и вид на активности може да се променат со почетокот на учебната година.

## *12. Натпревари*

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија на наставници. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини. Одговорните наставници ги спроведуваат училишните натпревари, за што транспарентно и навремено ги информираат учениците.

Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво го претставуваат училиштето на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците. Во рамките на можностите и согласно Правилникот за наградување на ученици, училиштето ќе овозможи симболични награди и дипломи/пофалници за најдобрите ученици. Училиштето изготвува план за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, во кои ќе учествуваат учениците во текот на учебната 2023/2024 година, за кои ќе се обезбеди тимска поддршка од наставниците за подготовка и реализација и поддршка од Советот на родители.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена: претседател на Ученички парламент, Ученик-правобранител, стручен соработник и наставници. Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. При формирање на тимот за училишна интеграција, се води грижа за учество на наставници кои предаваат на двата јазика застапени во наставата во нашето училиште. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат за почитување на мултикултурализмот, за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и за унапредување на меѓуетничката интеграција. Во оваа насока е потребно да се овозможат активности кои од учениците и сите учесници во воннаставни активности ќе бараат активен пристап и промовирање на сите културни вредности во целост, односно да не се задржуваат исклучиво на содржини и теми поврзани за еден етникум, туку во преден план да се истакнат содржини кои ќе го задржат вниманието на учениците на глобално ниво и ќе побудат заеднички интерес кај сите вклучени групи (на пример: европската уметност и култура, заедничко истражување на претставници од различни музички епохи, анализа на литературни дела од различни јазични подрачја-познати европски и светски автори и сл.), а притоа да бидат застапени јазиците на учесниците и англиски јазик како работен.

Тимот за училишна интеграција, во соработка со наставниците, задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето, во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, надминување на стереотипите и предрасудите.

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Имајќи ја предвид средината во која се наоѓа училиштето, како и тоа дека во рамките на училиштето припаѓа и ПОУ во Страчинци, каде наставата се реализира на албански јазик, и оваа учебна година ќе продолжи да се реализира проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер-училишта во реализација на мултикултурните активности се ООУ „Страшо Пинџур“ - с. Соколарци, Чешиново-Облешево, ООУ „Браќа Миладиновци“ од Миладиновци, ООУ „М. М. Брицо“ – Лозово и ООУ „Димо Хаџи-Димов“ од нас. Влае, општина Карпош, ООУ„Крсте Мисирков“ – Гази Баба. Целта на овој проект е да се подобрат меѓуетничките односи во образовниот систем, да се придонесе за унапредување на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различностите, како и размена на културните и верските вредности поврзани со суштинските одлики на младинскиот активизам.

Меѓуетничката интеграција во образованието во нашето училиште се применува преку интегрирани часови и едукативни работилници, во воннаставни активности, секции, дебати на Ученичката заедница и парлемент, различни типови приредби, претстави, спортски натпревари, посети на објекти и сл..

Се планира и во текот на наредната учебна година да продолжи реализацијата на проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ кој се реализираше по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дености при Општина Гази Баба. Во тој контекст ќе се држат состаноци со претставници од локалната самоуправа, советници од Советот на општина Гази Баба и претставници од секое училиште на територија на општина Гази Баба во интерес на продлабочување на соработката и заедничкото дејствување во овој домен.

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

Нашето училиште продолжува со веќе утврдена пракса за реализирање на проекти ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во училиштето се рализират следните проекти:

*Поврзување на еколошката програма со редовната настава*

Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, на водата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Ќе се реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и ВНА, а ќе се вклучат сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и други институции.

*Меѓуетничка интеграција во образованието*

Како двојазично училиште, наш приоритет е мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција и младински активизам. За таа цел учествуваме во сите постоечки проекти во државава кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на наставниците и учениците за изведување на заеднички активности. На пример, поддржувачи на вакви активности се МОН, ОБСЕ, УСАИД, МЦГО, МОФ и општина Гази Баба.

*Заедничка грижа за правилно насочување на учениците.*

Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител – ученик - наставник, со што во образовниот систем ќе се започне со зајакнување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

- Еразмус, еТвининг

Преку Еразмус проектите наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, да дебатираат, да иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуство, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари. Активностите на еТвининг платформата поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ алатки достапни на етвининг платформата и изработка на виртуелни проекти

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнувања на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години. Педагогот прави споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик.

Просечниот успех на учениците за учебната 2022/23 година изнесува 4,52.

Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави во своите индивидуални планирања и се воедначува на ниво на активи. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето. За мотивација на учениците ќе се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавноста, на Facebook-профил на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината. На крајот на учебната година директорот доделува пофалници на сите ученици кои постигнале добри резултати и го промовирале училиштето.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на учениците и родителите/старателите при избор на средно училиште, согласно особеностите, способностите, афинитетите и интересите на учениците. Формиран е Тим за професионална ориентација на учениците во кој се вклучени стручната служба, одделенските раководители на учениците од 8 и 9 одделение и наставниците по Граѓанско образование се континуирана поддршка од Директорот на училиштето. Тимот работи според Програмата за професионална ориентација во чија реализација се вклучуваат и претставници од средните училишта, кои ги информираат учениците и родителите за услови за запишување во средните училишта, наставни предмети и насоки и можности за натамошно школување по завршување на средното училиште.

Психологот користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение. Во рамки на програмата ќе се реализираат разговори и советувања со учениците и нивните родители односно старатели, психолошки работилници за професионална ориентација согласно изготвената програма, идентификување на интереси и психолошки карактеристики на учениците од IX одделение.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување и воедно е воведено во Статутот на училиштето, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа

со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции, ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците. Во текот на учебната година, ќе се реализираат: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност). Училиштето остварува соработка со релевантни институции: МВР, Центарот за социјална работа, здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно на секое тромесечие и бројчано на крајот на учебната година. Учениците од третиот период ( VII – VIII одд. ) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). Учениците за учеството во воннаставни активности добиваат описна оценка во додатокот на сведителството. Според наставниот план, општиот успех на ученикот се утврдува на крајот на годината врз основа на годишните оцени од сите предмети, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити. Оценувањето на учениците се врши согласно критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

По предметите каде има и писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања и истиот се внесува во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ги дефинираат во нивните годишни, тематски и дневни планирања. Се користат форми, методи и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек-листи, аналитички листи, увид во портфолио и др.). Секој наставник води досие за ученици и портфолио на наставник. Досието содржи ученички изработки со цел континуирано следење на учениците и формирање објективна оценка.

За постигнатиот успех на нивните деца, родителите се известуваат по секој квалификационен период, најмалку два пати во полугодие.

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и анализи на наставничките и одделенските совети на крајот од секој квартал. Се изработуваат статистички извештаи за успехот поведението и редовноста на учениците. Посебно се посветува внимание на напредокот и постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби. Се води сметка за ангажирањето на учениците во воннаставните активности како и учество на различни конкурси и натпревари.

Ученикот од прво, заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка по два предмета се упатува на поправен испит. Доколку има потреба училиштето во текот на учебната година ќе формира комисии за: повторна проверка на знаењето на учениците, испитна комисија за одделенски испит, за поправен испит и испит за побрзо напредување.

Училиштата учествуваат во државни и меѓународни тестирања спроведени од Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот. На секои три години, во училиштето се врши интегрална евалуација за работа на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат, согласно ЗОО. Интегралната евалуација го следи квалитетот на работата на училиштето, согласно прописите на просветната инспекција.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при процесот на оценување и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување, со кои се запознаени учениците и родителите. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите. Се утврдува процедура за постапување за поплаки и жалби по добиени оцени.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во годишната програма за работа на директорот и стручната служба е планиран Увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Исто така континуирано ќе вршат увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно-педагошка дејност.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегрална евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, согласно ЗОО. Училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа, изготвува извештај по спроведената самоевалуација, по која се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Самоевалуацијата ги опфаќа следниве области:

- наставни планови и програми;
- постигања на учениците;
- учење и настава;
- поддршка на учениците;
- училишна клима и односи во училиштето;
- ресурси;
- управување, раководење и креирање политика.

Директорот предлага формирање комисија до Училишниот одбор, која е составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите. Комисијата изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар. Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на

квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој. Во тек е спроведување на самоевалуација која ги опфаќа учебните 2022/2023 и 2023/2024 година.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди, во кој секој од вработените има своја улога и задолжение. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат, на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и др.), училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати, поставени на видно место, како и прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен. Во училиштето има патролно обезбедување на училишниот објект и чувар кои се финансиранани од страна на општината.

## 18. Грижа за здравјето на учениците

Составен дел на училишната програма заземаат содржините поврзани со здравјето на учениците. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално-преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во наставата во текот на учебната година, преку предавања и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Програмата ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Поликлиника Ченто-оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и поширокатa заедница.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал. Преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

### 18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои ќе бидат реализирани без да се попречува наставата и во придружба на класниот раководител. Систематските прегледи ги опфаќаат учениците од I, III, V и VII одделение, а стоматолошките прегледи ги опфаќа учениците од I, IV, V, VI, VII одделение.

### 18.3. Вакцинирање

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците од I, II и IX одделение, која се реализира во здравствената установа, Поликлиника Ченто-оддел за училишна возраст, во придружба на класниот раководител. Училиштето задолжително го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на вакцинациите.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната година, училиштето континуирано реализира едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања, трибини и работилници. Во рамките на програмата „Еко-училиште“, се реализираат активности од кампањата „Здрава храна“, со учество на учениците, родителите и наставниците. Училиштето во договор со родителите/старателите, согласно со прописите од областа на јавните набавки, организира еден оброк - ужина во текот на престојот во училиштето. Трошоците за оброкот ги плаќа родителот/старателот. Во случаите кога родителот/старателот е корисник на социјална помош, трошоците за оброкот ги надоместува основачот. Директорот на основното училиште е должен да го следи обезбедувањето на стандардите за исхраната и за оброците.

## *19. Училишна клима*

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима. Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно -образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор), Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-

образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат дневна евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

**19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Тимот за естетско уредување заедно со наставниците и учениците се грижи за уредувањето на училиштето со сопствени изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

**19.3. Етички кодекси**

Училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса. Изминатите учебни години се направи измена на текстот на етичкиот кодекс со набавка и употреба на џебови за мобилни телефони. Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и поширокаата локална средина. Еко-кодексот е изработен од еко тимот и е изложен на видно место.

**19.4. Односи меѓу сите структури**

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето, ќе се формира Тим составен од претставници на сите структури и ќе предложи конкретни активности (состаноци, работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свеченост, натпревари, посети и сл.). Учениците се поттикнуваат за водење грижа за училиштето и градење меѓусебна почит и соработка, без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото.

# *20. Професионален развој на воспитно – образовниот кадар*

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

**20.1. Детектирање на потребите и приоритетите**

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот.

Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, при што се изготвува Личен план за професионален развој. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

**20.2. Активности за професионален развој**

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Континуираното стручно усовршување, се наградува со напредување на наставниците во звања. Во нашето училиште е избран еден наставник-ментор Елена Блажевска. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат семинари, вебинари, дисеминација, работилници и размена на искуства во рамките на активите. За својот професионален развој наставниците ќе водат професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година ќе изработат извештај за реализацијата.

**20.3. Личен професионален развој**

На сите наставници, стручни соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења да ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано или во сопствена режија. За индивидуалното стручно усовршување вработените прават личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата и професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници**.**

**20.4. Хоризонтално учење**

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето ќе подготви акциски планови во кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето изработува план за професионалниот развој и кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник-ментор, Професионалните стандарди за наставник-советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени: родители, ученици, наставници и училишна документација. Врз основа на Јавниот повик од МОН, исполнетоста на професионалните стандарди од БРО, оценките од професионалниот развој и мислењето од училиштето, нашето училиште се стекна со напредување на еден наставник во звање наставник–ментор. Евиденција за кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се води во педагошкиот картон и професионалното досие.

## *21. Соработка со основното училиште со родителите/старателите*

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето се планира да се одвива на повеќе начини. Посебно внимание ќе се посвети на соработката со родителите преку секојдневни средби, разговори и родителски средби. За таа цел, ќе се изработат програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители ќе даде посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваат во изведување разни активности, при што ќе се земаат предвид нивните предлози и мислењата. На почетокот на учебната година, преку родителските средби родителите ќе се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваат на огласна табла поставена во холот на училиштето и на влезната врата.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите континуирано и непосредно се вклучуваат во училиштето и добиваат информации преку родителските и индивидуалните средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор, редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручните соработници. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручните соработници, се предвидува соработка со родителите за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици. Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите се вклучуваат во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, базари, спортски настани, прослави, приредби, проектни активности и др.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби,

разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, флаери, web страна и facebook страна на училиштето.

## *22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето*

- **Локална заедница**

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на учебната година се планираат состаноци, разни средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување. Соработката помеѓу училиштето и Општината Гази Баба континуирано ќе се унапредува и продлабочува бидејќи континуирано ги следи и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште како што се реализација на Еко-програмата, разни собири и здружувања за одредени случувања во училиштето, одбележување на патрониот празник на училиштето, приемот на првачиња во Детската организација, спортски активности, отворени денови, промоција на активности од проектот МИО, соработка со бизнис заедницата, посети на градоначалник, едукативни центри и институции во општината.

- **Институции од областа на културата**

Учениците континуирано ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси, ќе посетат изложби, културно-историски споменици, а во планирањата на наставниците вклучени се и организирани посети на музеи, културно историски објекти, кина, театри, детски фестивали, саем на книгата и др.

- **Институции од областа на образованието**

Училиштето има соработка со:

- МОН при доставување на годишната програма на училиштето, годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувања и новини кои произлегуваат од министерството
- БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др.
- општинскиот инспектор и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни прослави
- основните училишта за наставни и воннаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, конкурси и др.)
- средните училишта за професионална ориентација на учениците и промотивни и едукативни активности на средните училишта.

- **Невладини организации**

Училиштето има соработка со разни невладини организации, меѓу кои: Советодавен центар за деца и родители, USAID, UNICEF, ОБСЕ, МОФ, МЦГО, ОХО-проект од

програмата „Немаме резервна планета“, СОС-Детско село - Скопје, Црвен Крст на град Скопје и др.

- **Спортски друштва**

Во рамки на училиштето имаме училишен спортски клуб УСК Кирил и Методиј - КИМ кој во соработка со ФУСМАК е активно вклучен во сите општински, регионални и државни лиги.

- **Здравствени организации**

За грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените и за реализација на програмата „Грижа за здравјето на учениците“, училиштето има соработка со: Здравствениот дом „Ченто“, здравствени установи во населеното место, Центарот за социјални грижи, осигурителни компании и др.

- **Медиуми**

Промоција на училиштето се врши преку соработка со најразлични медиуми и медиумски куќи. Поважни активности од наставната и воннаставната работа ќе бидат објавувани во општинскиот весник, како и во други дневни и неделни печатени медиуми. Ќе ја продлабочиме соработката со телевизиските куќи во емисии од областа на образованието, учество во училишната ппрограма Sвон на МТВ, квизови за деца. Исто така, јавноста континуирано ќе биде информирана за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето (https://www.facebook.com/OOUKiriliMetodij/), училишната веб-страница (https://www.ooukirilimetodij.edu.mk), и веб-страната на општината.

## *23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште*

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни лица | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Усогласеност на Годишните програми за работа со програмите од МОН | Увид во документација на почеток на учебната година | стручни соработници, директор | тим за следење |
| Следење на реализација на проектите | Преку одговорни лица за планирање и реализација;<br>Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; | стручни соработници, директор | тим за следење |
| Материјално финансиско работење на училиштето | Увид во документација еднаш во секое тримесечие | директор, одговорен наставник | тим за следење |
| Воннаставни активности (секции/ клубови, спортски клуб, акции) | Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; увид во е-дневник | одговорни наставници | тим за следење |
| Вонучилишни активности (екскурзии, излети) | Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; увид во е-дневник | одговорни наставници | тим за следење |
| Ученички организации | Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие | одговорни наставници, ученички парламент | тим за следење |
| Натпревари | Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие | одговорни наставници | тим за следење |
| Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција | Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; увид во е-дневник | стручни соработници, директор, одговорни наставници | тим за следење |
| Следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар | Набљудување, посета на часови<br>Извештаи<br>Чек листи | одговорни наставници, стручни соработници, директор | тим за следење |

## *24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште*

При процесот на евалуација на годишната програма, директорот на училиштето го зема предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. Односно директорот формира тим од наставници и стручни соработници, кој ќе учествува во следење и евалуација на активностите предвидени со Годишната програма за работа.

За сите реализирани активности од програмата за работа, ќе се води соодветна евиденција и документација. Следењето ќе се извршува континуирано и за секое подрачје ќе има назначено одговорен наставник кој ќе биде задолжен да собира податоци, води евиденција и поднесува извештај за начинот и времето на следење на одредено подрачје за секое тромесечие од тековната учебна година.

Тимот за следење и евалуација изготвува полугодишен и годишен евалуационен извештај за она што е реализирано и она што не е реализирано и дава осврт на квалитетот на спроведените активности преку формирање заклучоци и препораки за во иднина. Доказите можат да се соберат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работа на ООУ„Кирил и Методиј“-Стајковци за учебната 2023/2024 година е изработена од директор, стручни соработници, тим наставници, во соработка со сите вработени во училиштето, родителите и учениците, согласно новиот Правилник за формата и содржината на Годишната програма за работа на основното училиште. Наставнички совет дава мислење по предлогот на Годишната програма за работа на училиштето и го следи нејзиното извршување. Училишниот одбор ја предлага Годишната програма за работа на училиштето до Основачот, кој ја донесува до 15 август во тековната учебна година за наредната учебна година. Донесената Годишна програма за работа основното училиште ја доставува до БРО и ДИЦ најдоцна до 15 септември во тековната учебна година во електронска форма.

Успешноста на работата во училиштето и имплементирањето на Годишната програма во целокупната работа се темели на тимската работа и исполнување на работните обврски од страна на вработените. Посебно ќе се насочиме на приоритетните подрачја на промена, кои се дел од Развојната програма училиштето и ќе се реализираат според краткорочните цели кои се дадени во планот.

Една од главните цели на нашето училиште е постојано подобрување на условите за работа, професионалниот развој на кадарот, позитивна клима, современа настава, поддршка на учениците и нивно поттикнување за превземање иницијативи, соработка, меѓусебното почитување и толеранција, поттикнување на ненасилно однесување сè со цел успешно реализирање на нашата визија и мисија. Реализацијата на Програмата во својата суштина ги вклучува сите сегменти на воспитно-образовниот процес, соработката и комуникацијата помеѓу сите субјекти, тежнеење кој постојано унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците. Ќе се води сметка и за зајкнување на соработката со родителите преку разни работилници, заеднички излети, посети, отворени часови и сл.

Преку точно дефинираните очекувани исходи ќе се трудиме секогаш учениците да бидат дел од многубројните воннаставни активности преку разни посети, спортски и слободни активности, учествуво на натпревари, хуманитарни и еколошки акции. Преку учество во проекти да се запознаат со сопствената, но и со другите светски култури и традиции. Сите активности ќе бидат реализирани преку истражување со цел стекнување трајно применливи знаења, а тоа сè во духот на соработка, дружење и тимска работа. Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето ќе се применуваат во сите области на оценувањето.

## *26. Комисија за изработка на годишна програма за работа на училиштето*

1. Елена Антонова - ВД директор
2. Маја Медарска - предметен наставник
3. Весна Величковска - одделенски наставник
4. Музафера Шабани - одделенски наставник
5. Елена Темелкоска - психолог
6. Дарко Костовски - предметен наставник
7. Даниела Наумовска - одделенски наставник
8. Bjoca Елези - предметен наставник
9. Михаела Сандева - претставник на Ученички парламент
10. Мабере Авдили - претставник на Ученички парламент

# 27. Користена литература


- Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
- Закон за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 25/15; 150/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18; 104/19; 146/19 и 275/19 година)
- Законот за работни односи (Службен весник на РСМ, бр. 62/05; 106/08; 161/08; 130/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 74/15; 129/15; 167/15; 27/16 и 120/18 година)
- Закон за административни службеници (Службен весник на РСМ, бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18година)
- Закон за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РСМ, бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18 година)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РСМ, бр. 42/20 година)
- Закон за јавни набавки (Службен весник на РСМ, бр. 24/19година; Службен весник на РСМ, бр. 87 од 20.4.2021 година)
- Закон за извршување на Буџетот на РСМ
- Закон за постапување по преставки и предлози
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник наРСМ, бр.101/2019)
- Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците кои се помалку 20 проценти од населението од РСМ (Службен весник на РСМ, бр.64/18 година)
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр. 5/2002)
- Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште, бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 година
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година
- Правилник за формата, содржината и елементите на Програмата за поддршка на приправникот и Извештајот за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручен испит, бр.01-170/2 од 10.3.2020 година
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта, бр.12-4095/1 од 23.3.2020
- Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развојна наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, бр.18-4000/1 од 18.3.2020 година
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основнитеи средните училишта по подрачја, бр.18-3999/1 од 18.3.2020 година
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниотсоработник во основните и средните училишта, бр.18-3998/1 од 18. 3.2020 година
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање натрошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, бр.18-2731/1 од 14. 2.2020 година
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие за наставникот и стручниот соработник во основно и средно училиште, бр.18-4698/1 од 24.4 2020 година
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звање наставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бр.18-4808/1 од 5.5.2020 година
- Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното времена наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела,бр.18-4809/1 од 5.5.2020 година
- Правилник за професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник и начинот на стекнување,
- Правилник за професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник и начинот на стекнување, бр.18-4882/1 од 6.5.2020 година

- Правилник за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник истручен соработник-приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит, бр.18-4879/1 од 6.5.2020 година
- Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот, бр.18-5437/1 од 2.6.2020 година
- Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, бр.18-6575/1 од 6.7.2020 година
- Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување нанатпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државнониво во основното образование, бр.18-6573/1 од 6.7.2020 година:
- Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата,
- Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листа, како и начинот на работењето на комисијата
- Програма за обуки и стручно усовршувањена стручните соработници во основните и средните училишта за 2021 година бр 13-6927/1 од 27.04.2021
- Програма за обуки и стручно усовршувањена стручните соработници во основните и средните училишта за 2021 година бр 13-4897/1 од 16.03.2021
- Правилник за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката евиденција во основните училишта бр. 18-3564/2 од 25.02.2021
- Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост бр. 18-2447/1 од 09.02.2021
- Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 18-15334/1 од 30.12.2020 г.
- Програма за професионална орентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта бр. 12-11595/1 од 20.10.2020
- Правилник за професионалните компетенции за директор на основните училишта бр. 12-11597/1 од 20.10.2020
- Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-11297/1 од 15.10.2020
- Правилник за стандардите за напредување во звање бр. 18-10443/1 од 05.10.2020
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звање наставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.
- Стандарди за професионално однесување на стручните соработници во основните и средните училишта
- Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија
- Концепција за воннаставни активности во основното образование
- Концепција за државното тестирање во основното образование
- Концепција за инклузивно образование
- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија
- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка
- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права воосновните училишта
- Водич за работа на училишниот инклузивен тим
- Наставните планови и програми од БРО
- Концепцијата за деветгодишното образование
- Развојна програма на училиштето, бр. 01-406/4 од 14.07.2021 година
- Статутот на училиштето, бр. 01-795/1 од 28.11.2019
- Годишниот извештај за работа на училиштето 2022/2023 година, бр. 01-417/1 од 29.06.2023 год
- Извештај за самоевалуацијата на училиштето, дел.бр. 01-374/2 од 20.06.2022 година
- Стандарди за интеркултурно-образование https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/Standardi-za-interkulturno-obrazovanie-Makedonska-verzija.pdf
- Национални стандарди https://mon.gov.mk/stored/document/standardi-USVOENI.pdf

Претседател на
Училишен одбор

ВД директор

_____
Евгенија Илиевска

м.п.

_____
Елена Антонова

Скопје, август 2023

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СТАЈКОВЦИ

# ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

# Содржина


1. Годишна програма за работа на директор ..... **4**
2. Годишна програма за работа на педагог ..... **15**
3. Годишна програма за работа на психолог ..... **30**
4. Годишна програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор ..... **37**
5. Годишна програма за работа на библиотекар ..... **46**
6. Програма за работа на Училишен одбор ..... **53**
7. Годишна програма за работа на Совет на родители ..... **56**
8. Годишна програма за работа на Наставнички совет ..... **58**
9. Годишна програма за работа на стручен актив (одделенска настава) ..... **61**
10. Годишна програма за работа на стручен актив (општествено-хуманитарна група) ..... **64**
11. Годишна програма за работа на стручен актив (природно-математичка група) ..... **66**
12. Годишна програма за работа на Одделенски совет ..... **69**
13. Годишна програма за работа на училишен инклузивен тим ..... **71**
14. Годишна програма за работа на образовен медијатор ..... **73**
15. Годишна програма за работа на училишен хор и оркестар ..... **74**
16. Програма за работа на заедницата на паралелката ..... **82**
17. Годишна програма за работа на ученички парламент, ученички правобранител ..... **83**
18. Распоред на часови ..... **86**
19. Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања ..... **92**
20. Програми за воннаставни активности ..... **96**
21. Програма за додатна настава ..... **124**
22. Програма за дополнителна настава ..... **126**
23. Програма за вонучилишни активности ..... **133**
24. Програма за реализација на училишни натпревари ..... **142**
25. Програма за унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција ..... **146**
26. Проекти што се реализираат во основното училиште ..... **155**
27. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите ..... **158**
28. План за професионална ориентација на учениците ..... **162**
29. План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ..... **166**
30. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето ..... **179**
31. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар ..... **181**
32. Програма за самоевалуација на училиштето ..... **182**
33. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди ..... **183**
34. Распоред на дежурни наставници ..... **185**
35. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето ..... **187**

36. Правилник за однесување на ученици, професори и родители (во училиштето и училишниот двор) ..... **189**
37. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ..... **198**
38. Програма за соработка на основното училиште со родителите / старателите ..... **200**
39. Програма за соработка со локална средина и локална заедница ..... **203**
40. Програма за грижа за здравјето на учениците ..... **206**
| 1 | Читање од детскиот печат | Да пронаоѓа интересни содржини, теми, извлекува заклучоци. | Открива и воочува интересни теми, споредува содржини и заклучува. | 1 |
| 2 | Пишување различни видови писма и нивна анализа | Да креира свој состав и да направи анализа на својот, споредувајќи го со другите. | Се изразува со сопствени зборови, дава описи, брани ставови, критикува. | 1 |

**Време на реализација:** ФЕВРУАРИ

| Ред. бр. | Наставна содржина | Наставна цел | Очекувани резултати | Број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Давање предлози за драмска претстава и избор на најдобрите. | Да даваат свои предлози и мислења за работа на активност што ги интересира и за која ќе се ангажираат. | Воочува, дава предлози, оценува. | 1 |
| 2 | Аудиција за учесници во претставата по повод Патрониот празник на училиштето | Да ги воочат најдобрите и најталентираните ученици за глума, да одредат на кој ученик која улога му одговара. | Создава свои гледишта, критикува, оценува објективно, дава свои предлози. | 1 |
| 3 | Следење на драмска претстава во живо или на CD | Поблиску да се запознаат со особеностите на драмата, да ги воочат важните моменти и да ги искористат како искуство при својата глума. | Да воочуваат важни моменти, да прават споредба, да применуваат стекнати знаења. | 1 |
| 4 | Читање и уметничко рецитирање на песни од Константин Миладинов и нивна споредба | Да се запознаат поблиску со делото на Константин Миладинов и да ги применат стекнатите знаења. | Применува знаења од литература, изразување и творење. | 1 |

**Време на реализација**: МАРТ

| Ред. бр. | Наставна содржина | Наставна цел | Очекувани резултати | Број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пишување творби за 8 Март и нивна анализа | Да создаде лична творба со примена на знаења од областа на поезијата. | Применува стекнати знаења, креира своја песна. | 1 |
| 2 | Ликот на мајката и жената во литературата | Да се служи со дополнителна литература и воочува особености, да споредува, да бара слични моменти. | Воочува слични и различни карактеристики, прави споредба, пронаоѓа важни нешта, извлекува заклучоци. | 1 |
| 3 | Споредба на ликот на мајката во „Сердарот“ и ликот на мајката во „Автобиографијата“ | Да се служи со дополнителна литература и воочува особености, да споредува, да бара слични моменти. | Разликува особини на лик, прави споредба меѓу нив, дава свој критички став. | 1 |
| 4 | Пишување есеи за Денот на екологијата. | Да креира свој состав и да направи анализа на својот, споредувајќи го со другите. | Се изразува со сопствени зборови, дава описи, брани ставови, критикува. | 1 |

**Време на реализација:** АПРИЛ

| Ред. бр. | Наставна содржина | Наставна цел | Очекувани резултати | Број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пишување творби за денот на шегата | Да создаде лична творба со примена на знаења од областа на поезијата. | Применува стекнати знаења, креира своја песна. | 1 |
| 2 | Читање и анализа на творбите и избор на најдобрите | Да ги воочат сопствените грешки и да направат споредба со другите. | Критикува, оценува објективно. | 1 |
| 3 | Посета на литературна секција од друго училиште и размена на искуства | Да соработуваат со други ученици, да разменуваат искуства и да научат нешто ново. | Соработува, стекнува искуства. | 1 |
| 4 | Читање на делови од трагедија и обид за нивна драматизација. | Да ги прошири и продлабочи знаењата за драма и нејзините особености и да прави разлика меѓу видовите драми. | Ја разликува драмата како литературен род, демонстрира знаења и прави поделби на драмските дела. | 1 |

**Време на реализација:** МАЈ

| Ред. бр. | Наставна содржина | Наставна цел | Очекувани резултати | Број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пишување творби посветени на нашето училиште и анализа на истите. | Да создава текст според барањата и да ги примени стекнатите знаења од литература. | Креира текст и го оценува и критикува напишаното притоа аргументирајќи го тоа. | 1 |
| 2 | Подготовки за Патрониот празник на училиштето | Да дојдат до израз нивните квалитети и таленти за глума и рецитирање. | Глуми, рецитира, воочува важни места. | 1 |
| 3 | Учество на Патрониот празник на училиштето | Да дојдат до израз нивните квалитети и таленти за глума и рецитирање. | Глуми, рецитира, воочува важни места. | 1 |

**Време на реализација:** ЈУНИ

| Ред. бр. | Наставна содржина | Наставна цел | Очекувани резултати | Број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Разговор по одржаната прослава по повод Патронатот на училиштето | Да споредуваат, да коментираат, да извлекуваат заклучоци. | Изведува свои заклучоци, критикува, се спротивставува и образложува свои лични ставови. | 1 |
| 2 | Анализа на работата на слободните активности | Да согледаат што е сработено, а што не е и да дадат свое мислење. | Изведува свои заклучоци, критикува, се спротивставува и образложува свои лични ставови. | 1 |
| 3 | Постигнати разултати и напатствија за идната учебна година | Да ги согледаат постигнатите разултати и да изразат желби за содржини на кои сакаат да се обрне внимание догодина. | Изведува свои заклучоци, критикува. | 1 |

## АНГЛИСКА СЕКЦИЈА

| Месец | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | 1. Претставување на програмата | Да се информираат учениците со содржината од годишната програма<br>Да се разгледа програмата и измени на истата по сугестии на учениците | Разгледување на програмата и измени на истата по сугестии на учениците |
| | 2. I sympathize | Да креира прашања и да интервјуира<br>Одговарање на прашање од анкета | Одговарање на прашање од анкета |
| | 3. Nonsense | Да идентификува смислени, бесмислени и филозофски реченици<br>Од дадени реченици да препознае кои реченици се смислени, бесмислени и филозофски | Од дадени реченици да препознае кои реченици се смислени, бесмислени и филозофски |
| | 4. Find the nine questions | Да креира,осмислува прашања на дадени одговори | Вежби со формирање на прашања врз база на дадени одговори |
| ОКТОМВРИ | 5. Inserting words | Да се увежба редот на зборовите во реченицата | Вметнување зборови во текст без да се изгуби смислата и значењето на реченицата |
| | 6. Associations | Да поврзува зборови и да конструира реченици | Составување реченици од дадени зборови |
| | 7. Earth's oceans | Да се информира, дискутира и истражува за океаните | Читање текст |
| | 8. Thanks Giving Day | Да се запознаат со обичаите за празникот | Читање текст |

| Месец | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|---|
| НОЕМВРИ | 9. What did you do last week? | Да примени Past Simple tense | Креирање дијалози |
| | 10. What do you with this? | Да го толкува значењето на невообичаени англиски зборови | Изработка на квиз прашања со заокружување на точниот одговор |
| | 11. Do you get easily confused? | Да развива логика | Одговарање на конфузни прашања |
| | 12. Word array | Да креира реченици | Образување реченици врз база на дадедни зборви |
| ДЕК | 13. What do you think is the rest of the story? | Да развива креативност | Довршување на приказна врз даден фрагмент и одговарање на зададени прашања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Е<br>М<br>В<br>Р<br>И | 14. It' written in the stars | Да примени придавки за опис на физички и интелектуален изглед на личност | Креирање хороскоп |
| | 15. Mining a text | Да развива вештина за пишување состави | Креирање на нов текст со претходно избрани 10 збора од други текстови |
| | 16. Christmas around the world | Запознавање со обичаите за прославување на Божиќ насекаде во светот | Барање информации за обичаите за прославување Божиќ во повеќе земји преку Интернет |

| Месец | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|---|
| Ј<br>А<br>Н<br>У<br>А<br>Р<br>И | 17. My winter holiday | Да примени Past Simple Tense | Пишување краток состав |
| | 18. Famous people | Да се стекнат со информации за познати личности | Читање биографии |

| Месец | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|---|
| Ф<br>Е<br>В<br>Р<br>У<br>А<br>Р<br>И | 19. Four people's diaries | Да употреби Present continuous tense со идно значење за идни планирани дејствија | Креирање дневник за идни планирани дејсвија |
| | 20. St. Valentine | Да ги идентификува симболите, обичаите за празникот св. Валентин | Креирање поема |
| | 21. Prepositions bingo | Да примени предлози за место, за време и за глаголи | Играње бинго |
| | 22. Find the hidden sentences | Да ги подреди зборовите во реченицата според редот на зборовите | Пронаоѓање сокриени реченици во сложувалка |
| М | 23. The Chicken licken story | Да меморира слушната приказна<br>Да драматизира приказна | Подредување на ликовите во приказната според настаните во приказната и драматизирање на истата |
| | 24. What do they have in common? | Да направи споредба на предмети со примена на *both*; *neither....nor* | Пронаоѓње заеднички нешта на дадени предмети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| А<br>Р<br>Т | 25. Arrange the furniture | Да го именува вокабуларот за мебел<br>Да примени заповеден начин и предлози за место | Подредување на мебелот во собата преку давање и следење на инструкции |
| | 26.Collecting evidence | Да искаже предвидување применувајќи ја структурата *going to* | Да направи предвидување на дадени очигледни ситуации |

| Месец | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|---|
| А<br>П<br>Р<br>И<br>Л | 27. Telephoning and electronic messaging | Да конструира телефонски разговори<br>Да примени кратеники во текст пораки | Изведување на телефонски разговори<br>Скратување на зборови, употребување симболи за електронси пораки |
| | 28. Easter | Да ги идентификува симболите, обичаите за празникот Велигден | Слушање приказна и изработка на постер |
| | 29. Countable or uncountable? | Да разликува бројни и небројни именки<br>Да ги примени бројните и небројните именки во реченици | Подредувње именки во категоријата бројни и категоријата небројни и креирање речиници со нив |
| | 30. A Refugee | Да примени Past simple tense | Подредување слики според настаните во приказната |
| М<br>А<br>J | 31. Interjections | Да ги именува и примени извиците во дадена ситуација | Дополнување на песната со извици преку слушање на касета |
| | 32. What do you with this? | Да го толкува значењето на невообичаени англиски зборови | Изработка на квиз прашања со заокружување на точниот одговор |
| | 33. Nonsense | Да идентификува смислени, бесмислени и филозофски реченици | Од дадени реченици да препознае кои реченици се смислени, бесмислени и филозофски |
| | 34. Famous places in London | Да идентификува познати места<br>Да се стекне со информации за познати места во Лондон | Истражување на интернет |

| Месец | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|---|
| J<br>У<br>Н<br>И | 35. My city | Да креира состав | Креирање состав по дадени прашања |
| | 36. The wonderful worldwide names quiz | Да го тестира своето сеопшто знаење | Одговарање на квиз прашања |

## ПРОГРАМА ЗА АКЦИИ

| **Задача** | **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Ресурси и инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице за следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Организирање собирни акции | - Собирање отпадоци и стара хартија и пластика<br>- Собирање учебници и друг корисен материјал | По потреба | Наставници и ученици | / | Да се развива еколошка свест | Еко тимот |
| - Организирање хуманитарни акции | - Собирање облека, доброволни прилози, прифаќање акции на Црвениот крст | По потреба | Наставници и ученици | / | Да развиваат чувство на хуманост, солидарност и етичка свест | Одговорни наставници |
| - Уредување на училишните простории и двор | - Одржување на училишните паноа за одбележување значајни датуми и настани<br>- Одржување научилишенинвенар | Во текот на учебната година | Одделенски раководители, наставници и ученици | / | Да се грижат и допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училниците и училишните ходници | Одговорни наставници |
| - Садење цвеќиња и дрвја- активности за денот на екологијата<br>- Негување на цвеќиња во училишните простории | Активности за Интеграција на заштита на животната средина вовоспитно-образовниот процес во Р.М. | По потреба | Одделенски раководители, наставници и ученици | / | Да се создадат навики за грижа и љубов кон цвеќињата | Одговорни наставници |
| - Нагледни средства од текстил и хартија материјали за рециклирање | -Изработка на маски за Нова година и за Априлијада<br>-Изработка на честитки за Нова година, 8-ми Март, Ден на пролетта, Велигденските празници, роденденски честитки исл. | По потреба | Наставници и ученици | / | Да развиваа работни навики и креативност | Одговорни наставници |

## *ПРИЛОГ 21: ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА*

| **Активност** | **Носители на активност** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Временска рамка** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на додатната настава во училиштето на месечно ниво | Директор Стручни соработници Наставници | анализа на состојбата стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | прашалник за наставниците од ефектите од реализација на додатна настава | септември | Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Планирање на додатната настава во училиштето на месечно ниво | Директор Стручни соработници Наставници | белешки и анализи на наставниците и стручната служба | чек листа | на месечно ниво | Правилно насочување на учениците и излегување во пресрет на потребите |
| Формирање тим за следење на работата и планирање на реализација на додатната настава | Тим за за следење и евалуација | анализа на состојбата | образец завреднување на планирањата образец за следење на час | во текот на годината | Рефлексија и извештај за подобрување на работата |
| Следење на реализацијата на додатната настава | Директор Стручни соработници | следење на планирањата на наставниците следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава | посета на часови евидентен лист за реализација на додатна настава работни листови за учениците | во тек на годината | Подобар квалитет при реализација на додатната настава обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Соработка со родител/старател на ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети | Стручни соработници Наставници | согласност од родителот/старателот ученикот да следи додатна настава и информирање за распоредот за реализирање на додатната настава | дневник евидентен лист | во тек на годината | Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет | Стручни соработници Наставници | изготвување програма за додатна настава согласно интересите на ученикот следење и го контролира напредокот на ученикот | водење педагошка евиденција за додатна настава | во тек на годината | Збогатување на знаењата кај: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма ученици што се пријавуваат за учество на натпревари |
| Евалуација | Директор Стручни соработници | програми и подготовки на наставниците посета на час | прашалник за наставниците обработка на податоците од увид на часови пополнети инструменти | јуни | Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области |

## *ПРИЛОГ 22: ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА*

| **Активност** | **Носители на активност** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Временска рамка** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на дополнителната настава во училиштето | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | анализа на состојбата<br>стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | прашалник за наставниците од ефектите од реализација на дополнителна настава | Септември | Увид во досегашната состојба при реализација на дополнителната настава |
| Формирање тим за следење на работата и планирање на распоред и реализација на дополнителна настава | Тим за за следење и евалуација | анализа на состојбата | Распоред на месечниниво образец завреднување на планирањата образец за следење на час | Во текот на годината | Рефлексија и извештај за подобрување на работата |
| Следење на реализацијата на дополнителната настава | Директор<br>Стручни соработници | следење на планирањата на наставниците следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителна настава | посета на часови евидентен лист за реализација на дополнителна настава<br>работни листови за учениците | Во тек на годината | Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Соработка со родител/старател за потребата ученикот да следи дополнителна настава | Стручни соработници<br>Наставници | информирање на родителот/старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава и за распоредот за реализирање на дополнителната настава | дневник евидентен лист | Во тек на годината | Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на ученици кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми | Стручни соработници Наставници | планирање иреализирање придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно потребите на учениците. индивидуална/индивидуализирана работа или по потреба, може да се организира реализација на дополнителна настава со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати (на пример: конкретна цел од иста тема од наставната програма) | усогласување со стилот на учење на ученикот, користење содветни дидактички средства и материјали, применување интерактивен пристап користење активни методи на учење | Во тек на годината | Подобрувања на знаењата кај: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема), ученици што подолго време отсуствувале од настава и ученици со потешкотии во учењето. |
| Евалуација | Директор Стручни соработници | програми и подготовки на наставниците посета на час | - прашалник за наставниците обработка на податоците од увид на часови пополнети инструменти | Јуни | подобрени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето |

# РАСПОРЕД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНА, ДОПОЛНИТЕЛНА, СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ И ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИЦИ

Одделенска настава – Стајковци

| Наставник | Одд. | Додатна настава | Дополнителна настава | Слободни ученички активности/секција | Воннаставни активности |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ивона Додевска** | I[1] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Јасминка Анѓелевска** | I[2] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **/** | II[1] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Габриела Андовска** | II[2] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Адријана Сандева** | III[1] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Даниела Наумовска** | III[2] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Весна Величковска Ангелковска** | IV[1] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Александра Накева** | IV[2] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Габриела Постоловска** | V[1] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Дијана Илиевска** | V[2] | **понеделник-петок** | **понеделник-петок** | **понеделник-петок** | **понеделник-петок** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |

Одделенска настава - ПОУ Страчинци

| Наставник | Наставен предмет | Одделение | Додатна настава | Дополнителна настава | Слободни ученички активности/ Секција | Воннаставни активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Имране Кривца** | албански јазик математика природни науки општество | I[3] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Музафера Шабани** | албански јазик математика природни науки општество | II[3] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Северџан Касами** | албански јазик математика природни науки општество | III[3] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **четврток понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Тасим Фазли** | албански јазик математика природни науки општество | IV[3] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |
| **Рејхане Мемети** | албанскијазик математика општество | V[3] | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште | **понеделник-петок** Во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште |

Предметна настава – Стајковци

| Наставник | Наставен предмет | Одделение | Додатна настава | Дополнителна настава | Слободни ученички активности/ Секција | Воннаставни активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Маја Медарска** | македонски јазик | VI,VIII, IX | **вторник**<br>I смена 13:00 – 13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник**<br>I смена 13:00 – 13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена: 11:30 – 12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **среда /петок**<br>I смена: 10:45 -12:10<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Марина Димоска** | македонски јазик | VII, VIII | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **петок**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник**<br>I смена 12:15-12.55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 10:45 -12:10<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Габриела Јорданов** | математка физика | VIII, IX | **понеделник**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник /петок**<br>I смена 10:45 -11 :25<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Јасмина Јездиќ** | математика физика | VI, VII, VIII | **понеделник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 10:45-11:25<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток/петок**<br>I смена 10:00-10.40<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Биљана Арсова** | англиски јазик | VI, VII, VIII, IX | **понеделник**<br>I смена: 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 13:15 – 13:55 | **петок**<br>I смена: 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток/среда**<br>I смена: 11:00 – 11:40<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Марија Митреска** | француски јазик | VI, VII, VIII, IX | **четврток**<br>I смена 12:15-12.55<br>II смена 12:30-13:10 | **вторник**<br>I смена: 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена: 11:00-11:40<br>II смена 11:50-12:30 | **петок**<br>I смена 12:30 – 13:30<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Маја Цекова** | биологија хемија | VII, VIII, IX | **понеделник**<br>I смена: 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 12:15-12.55<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток /петок**<br>I смена 10:45 -11:25<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Огнен Симиќ** | географија | VI, VII, VIII, IX | **понеделник**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 13:00-13.40<br>II смена 13:15-13.55 | **петок**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 15:00-15:40 |
| **Благица Србиновска** | историја граѓанско образование | VI, VII, VIII, IX | **четврток**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:15-12.55<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник**<br>I смена 12:15-12.55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник/петок**<br>I смена 10:00-11.25<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Дарко Костовски** | физичко и здравствено образование | VI, VII, VIII, IX | **вторник**<br>I смена 13:00-13.40<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник**<br>I смена 14:00-14:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток/петок**<br>I смена 13:00-13.40<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Ели Чочова** | ликовно образование иновации | VI, VII, VIII, IX | **понеделник**<br>I смена 12:15 - 12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **петок**<br>I смена 11:30 - 12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 13:10-13:55 | **среда/четврток**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 |
| | | | **четврток** | **четврток** | **четврток** | **четврток** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | информатика | VI, VII | I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Александар Тасевски** | музичко образование | VI, VII, VIII, IX | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 13:15 –13:55 | **петок**<br>I смена 12:15 – 12:55<br>II смена 15:45 –16:25 |
| **Славица Анчевска** | техничко образование | VI | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Валентина Николовска** | класична култура на ев. цивилизации | VI | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 18:00-18:40 | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 18:00-18:40 | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11.50:12.30 | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11.50:12.30 |
| **Радица Ц. Петковска** | етика | VII | **вторник**<br>I смена 13:00-14:00<br>II смена 13:00-14:00 | **вторник**<br>I смена 14:00-15:00<br>II смена 13:00-14:00 | **вторник**<br>I смена 13:00-14:00<br>II смена 13:00-14:00 | **вторник**<br>I смена 14:00-15:00<br>II смена 13:00-14:00 |
| **Јасмина Анакиоска** | англиски јазик | II, III, IV,V | **вторник**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена: 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | ***четврток***<br>I смена: 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник-четврток**<br>I смена: 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Марија Димитрова** | природни науки | V, VI | ***четврток***<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 13:15-14:00 | ***четврток***<br>I смена 12:15-13:00<br>II смена 11:50-12:30 | ***четврток***<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 13:15-14:00 | ***четврток***<br>I смена 12:15-13:00<br>II смена 11:50-12:30 |

Предметна настава - ПОУ Страчинци

| Наставник | Наставен предмет | Одделение | Додатна настава | Дополнителна настава | Слободни ученички активности/ Секција | Воннаставни активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сание Гани** | албански јазик | VI, VII, VIII, IX | **петок**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:10-12:10 | **понеделник**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:10-12:10 | **среда**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:10-12:10 | **четврток/вторник**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 11:10-12:10 |
| **Анета Кузмановска** | македонски јазик | VI, VII, VIII, IX | **понеделник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 16:30-17:30 | **понеделник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 16:30-17:30 |
| **Илфие Емини** | математика физика | VI, VII, VIII, IX | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **среда/петок**<br>I смена 10:45-11:25<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Вјоса Елези** | англиски јазик | VI, VII, VIII, IX | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **петок**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник/среда**<br>Iсмена 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Теута В. Хаскај** | германски јазик | VI, VII, VIII, IX | **вторник**<br>I смена 12:30-13:10 | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40 | **вторник**<br>I смена 12:30-13:10 | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | II смена 11:50-12:30 | II смена 13:30-14:10 | II смена 11:50-12:30 | II смена 13:30-14:10 |
| **Ќамуран Саќипи** | биологија хемија | VI, VII, VIII, IX | **среда**<br>I смена 11:30-12:10<br>II смена 11:50-12:30 | **петок**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **четврток**<br>I смена 10:45-11:25<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 10:00-10:40<br>II смена 12:15-12:55 |
| **Зејнуре Мемети** | географија историја истражување на родниот крај природни науки | VI, VII, VIII, IX | **петок**<br>I смена 12:15-12:55<br>II смена 11:50-12:30 | **понеделник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник/ четврток**<br>I смена 10:45-11:25<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Фатон Ганиу** | физичко и здравствено образование | VI, VII, VIII, IX | **понеделик**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 13:00-13:40<br>II-смена 13:30-14:10 | **четврток**<br>I смена 13:00-13:40<br>II смена 14:15-14:55 | **четврток**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 14:15-14:55 |
| | информатика програмирање | VI, VII, IX | **среда**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **среда**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 |
| **Ваљбон Беџети** | музичко образовани Проекти од муз. уметност иновации | VI, VII, VIII, IX | **вторник**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 | **вторник**<br>I смена 12:30-13:10<br>II смена 11:50-12:30 |

# *ПРИЛОГ 23: ПРОГРАМА ЗА ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ*

Со Годишната програма за работа на училиштето е регулирана активноста организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

| Екскурзии и излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Излет | Септември/Октомври | Излетничко место Марков Манастир | I – IX одд. |
| Наставно-научна екскурзија со рекреативен карактер | Септември/Октомври 2023 | Тетово (еднодневна) | III одд. |
| Настава во природа | Април/ Мај 2024 | Охрид | V одд. |
| Наставно-научна екскурзија со рекреативен карактер | Април/Мај 2024 | Источниот дел на РС.Македонија (дводневна) | VI одд. |
| Наставно научна екскурзија со рекреативен карактер | Септември/Октомври 2023 | Централниот и Западниот дел на РС.Македонија (тродневна) | IX одд. |
| Излет | Април/ Мај 2024 | Излетничко место Парк шума Гази Баба | I – IX одд. |

**Ученички екскурзии и излети**

Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните реткости и културно историските знаменитости на РС. Македонија, традицијата и обичаите.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на излетите и екскурзиите.

## *ИЗЛЕТИ*

***МЕСТО:*** Излетничко место Марков Манастир
***ОПФАТЕНОСТ:*** I – IX одд.
***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:***

- одделенските наставници и класните раководители
- учениците

***ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА УЧИЛИШНИТЕ ИЗЛЕТИ:***

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во посетените региони;
- Социјализација и колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување.
**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето
**Одговорни наставници:**одд.наставници и класните раководители.
**Време на реализација:** Септември/Октомври (есенска)
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Излетничко место Марков Манастир
**Техничка организација:** Високо квалитетни климатизирани туристички автобуси и лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

***МЕСТО:*** Излетничко место Парк шума Гази Баба
***ОПФАТЕНОСТ:*** I – IX одд.
***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:***

- одделенските наставници и класните раководители
- учениците

***ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА УЧИЛИШНИТЕ ИЗЛЕТИ:***

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во посетените региони;
- Социјализација и колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување.
**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето

**Одговорни наставници:** одд.наставници и класните раководители.
**Време на реализација:** Април/Мај (пролетна)
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Излетничко место Парк шума Гази Баба
**Техничка организација:** Градски или меѓуградски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси и лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА**
**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДД.**

- **Вид на туризам:** домашен
- **Вид на екскурзија:** наставно - научна
- **Времетраење:** еднодневна
- **Време на реализација:** септември/октомври 2023
- **Опфатеност на ученици:** III - 1, III - 2, III - 3.
- **Објект на посета (реализација):** Тетово: Шарена џамија, Лешочки Манастир „Св.Анастасиј“
- **Раководители на екскурзија:** Адријана Сандева, Даниела Наумовска и Северџан Касами

**Цели:**

1) Учениците да се запознаат со природно- географските карактеристики на Тетовскиот регион
2) Да се запознаат со културно-историските споменици и етнографските особености на регионот
3) Градење меѓусебна доверба, другарство, комуникација
4) Меѓусебна соработка наставник-ученик; ученик-ученик
5) Развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости
6) Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Техничка организација:** Градски или меѓуградски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, туристички водич и лекар.
**Финансирање:** од страна на родителите
**Реализација на екскурзијата:**

- **Поаѓање:** пред училиштето во 7: 30 часот со краток состанок со учениците
- **Релација на движење:** Скопје, Тетово
- **Посета на Тетовскиот регион:**

- Се патува за Тетово
- На учениците им се објаснува за Стапанскиот развој и културно историските знаменитости на тој регион,
- По пристигнувањето во градот се посетува Шарена Џамија, а потоа се посетува Лешочки Манастир„Св.Анастасиј“.

- По кратката посета учениците се подготвуваат за враќање.

- **Враќање: тргнување во 15 часот, пристигнување 18:30 часот.**

**Подготвиле:** тим на планирање на екскурзијата
- **Директор**
- **Наставници:** Маја Цекова, Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами
- **Наставници:** Даниела Наумовска, Адријана Сандева, Северџан Касами

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА**
**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ**

**Вид туризам**: домашен
**Вид екскурзија**: наставно-научна
**Времетраење**: 2 дена
**Време на реализација**: април/мај 2024
**Опфатеност на ученици**: VI одделение
**Релација на движење** : Скопје – Стоби – Демир Капија - Струмица - Дојран - Радовиш - Скопје
**Раководители на екскурзија**: Благица Србиновска, Маја Цекова, Сание Гани

**Мотиви**

1. природни
- геоморфолошки
- хидрографски
- климатски
- биогеографски

2. општествени
- културно-историски
-етнографски
-разни манифестации

**Цели**

1. Да се запознаат со природните карактеристики на источниот дел на РС.Македонија
2. Да се запознаат со културно историските знаменитости на регионите и нивното значење
3. Да се гради кај учениците меѓусебна доверба, другарство, самостојност и комуникација
4. Да се развие соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик- објект
5. Развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости
6. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Техничка организација**

Високо квалитетни климатизирани, безбедни туристички автобуси и туристички водич и лекар
**Финансирање:** од страна на родителите

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Прв ден :**
Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Се посетува античкиот град Стоби. Потоа се посетува винаријата „Вила Марија“.Потоа се упатуваат кон Дојран каде што имаат посета на градот и посета на граничниот премин Дојрани. Се упатуваат кон Струмица каде што се посетуваат Колешински водопади. Прошетка низ градот Струмица. Се преноќува во Струмица.
**Втор ден :**
По појадокот се упатуваат кон посета на манастирот Водоча, а потоа манастирот Вељуса. Следува враќање во хотел со ручек и мал одмор. По ручекот се упатуваат кон Радовиш каде ќе ја посетат црквата Св. Троица. По нејзиното разгледување се продолжува кон Скопје и се пристигнува во вечерните часови.

**Тим за планирање на екскурзијата:**
**Директор**
**Наставници:** Маја Цекова, Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами
**Одделенски раководители:** Благица Србиновска, Маја Цекова, Сание Гани

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

**Вид туризам**: домашен
**Вид екскурзија**: наставно- научна
**Времетраење**: 3 дена
**Време на реализација:** септември/октомври 2023
**Опфатеност на ученици**: IX-1, IX-2, IX-3
**Релација на движење**: Скопје – Прилеп - Крушево – Битола – Охрид - Струга- Вевчански Извори –„Св. Јован Бигорски“ - Маврово - Скопје
**Раководители на екскурзија:** Биљана Арсова, Габриела Јорданов, Фатон Ганиу

**Мотиви**

1. природни
- геоморфолошки
- хидрографски
- климатски
- биогеографски

2. општествени
- културно-историски
-етнографски
-разни манифестации

**Цели:**
1. Да се запознаат со природните карактеристики на централниот и западниот дел на РС.Македонија;
2. Да се запознаат со културно - историските знаменитости на регионите и нивното значење;

3. Кај учениците да се гради меѓусебна доверба, другарство, самостојност и комуникација;
4. Развој на соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-објект.
5. Развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости
6. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Техничка организација:** Високо квалитетни климатизирани, безбедни туристички автобус, туристички водич и лекар.
**Финансирање:** Од страна на родителите

**ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА**

**Прв ден :**
Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Се оди кон Прилеп со посета на Маркови Кули со кратка пауза. Се продолжува за Крушево со посета на културно-историските знаменитости на градот, спомен куќата и Музејот на Тоше Проевски. Се патува преку Демир Хисар кон Битола каде се посетува Хераклеа и Музејот на албанската азбука. Патот продлжува кон Охрид со пристигнување во вечерните часови. Следува сместување во хотел, вечера и ноќевање.
**Втор ден :**
Појадок во хотелот и посета на Неолитската населба “Наколец“ и Св. Наум**.** Враќање во хотел, следува ручек и мал одмор. Во 16 часот се оди во посета на градот Охрид, прошетка низ стариот дел на Охрид, посета на Плаошник, Канео и Самоилова тврдина. Вечерта следува организирана забава во хотелот или во градот.
**Трет ден :**
Појадок во хотелот по што следи кратка посета на Билјанини Извори и прошетка низ градот. Ручек во хотелот и заминување преку Струга кон Вевчанските Извори. Од таму се патува кон Манастирот „Св. Јован Бигорски“ и Мавровo со разгледување на Мавровското Езеро. Потоа се продолжува во Тетово се посетува Шарена џамија. По кратка пауза се патува кон Скопје со пристигнување од 19.30-20.00 часот.

**Тим за планирање на екскурзијата:**
**Директор**
**Наставници:** Маја Цекова,Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами
**Одделенски раководители:** Биљана Арсова, Габриела Јорданов, Фатон Ганиу

**Програма за реализирање на Настава во природа**

**Училиште:** ООУ ″Кирил и Методиј″-Стајковци
**Времетраење**: 5 дена
**Опфатеност на ученици**: Ученици од V одделение
**Време на реализација:** Април/ Мај 2024
**Место:** Охрид
**Техничка организација:** Високо квалитетни климатизирани туристички автобуси, туристички водич и лекар.

Објектите во кои се изведува наставата во природа имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за реализација на основно воспитани и образование согласно возрастана учениците.

**Цели:** Целта на Наставата во природа е преку повеќедневен престој на учениците надвор од местото на живеење преку (низ) едукација, рекреација, прошетки, забави, спортување и другарување со примена и користење на современи педагошки форми, методи и техники за работа со целосно ангажирање на одделенските раководители и други стручни кадри за соодветни теми според програмата, да се обезбеди целосно воспитание и образование на учениците.

Да се надминат етничките, социјалните и други разлики во индивидуалниот развој и сваќања на учениците со што ќе се обезбеди формирање на здрава и сестрана личност, способна активно и креативно да се вклучи во понатамошниот воспитно образовен процес и во други сфери на живеење и работа.

**Задачи:** Со обработка на соодветни теми и наставни содржини треба да се обезбеди:

- Стекнување, проширување и утврдување на нови знаења за природата, природните богатства и убавини, релјефот, водата, климата, растителниот и животинскиот свет и друго.
- Запознавање со животот и работата на луѓето во крајот со поблиското и подалечното минато за посетениот крај - регион.
- Да се запознаат со позначајните културно - историски, стопански и други објекти на посетениот регион.
- Да ги стекнат основните сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина.
- Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во посетениот регион.
- Да можат да го препознаваат растителниот свет и тревната вегетација како и нивното општествено и стопанско значење.
- Да се оспособат за ориентација и движење во просторот.
- Да се стекнат и негуваат работи, да стекнат хигиенски навики и одржување на лична и општествена хигиена.
- Да се негува другарски однос и меѓусебно почитување, да се стекнат со натпреварувачки дух, како и остварување на целите и задачите на физичкото, здравственото, естетското, работно-техничкото и друго воспитание и образование.

**Наставни теми:**

1.Образование и воспитание

Во зависност од временскиот период и условите во објектот како и во согласност со Годишната програма на одделенските наставници и тоа:

- Математика: Обработка на нови наставни содржини - работа со податоци, календар и временски интервали, решавање проблеми – повторување.
- Македонски јазик: Изразување и творење, извештај за посетите, читање на текстови за локалитетите во Охрид.
- Општество: Нашата татковина преку техника - коцка, проектна задача.
- Ликовно образование: Сликање во природа, Изработка на книга.
- Музичко образование: Слушање музика и пеење песни по избор на учениците.

2. Животна средина

Ќе се обработуваат следните наставни содржини: поим и значење на животната средина, како треба да се однесуваме во просторот т.е животната средина, водата и нејзиното стопанско значење, езера и видови езера

3.Спорт:

- Утринско вежбање, пешачење во природа, атлетски игри и натпревари, спортски игри(фудбал, кошарка, ракомет, одбојка), рекреативно забавни игри.

4. Забава и култура
- Формирање на ученички секции (литературна, ликовна, музичка и др.)
- Изготвување план за работа на ученичките активности- интереси
- Програма за вечерни активности
5.Општествено корисна работа
- Учениците ќе изготвуваат производи во зависност од расположливиот материјал што го имаат, изготвување на ѕиден весник со лични ликовни и литературни творби.
6.Хигиена
- Лична хигиена (прибор за лична хигиена, употреба и одржување на лична хигиена)
- Општа хигиена (одржување на хигиената во спалните соби, одржување на личната опрема, средување на креветите, одржување и чистење на дворот и околината.)
7. Здравје
- Медицински персонал
- прегледи по потреба/упатства и лекарства
8.Исхрана
- Трпезарија
- Примерно однесување за време на исхраната
- Листа/мени за исхрана

**Организација на патувањето**

**Место на поаѓање:** пред училиште
**Време на поаѓање:** Во 7,00 часот за учениците, а наставниците во училиште да бидат во 6,30 часот.
- Учениците не смеат самоволно и без вистинска причина да го напушти часот, без дозвола на предметниот наставник или одделенскиот раководител;
- Ученици, избегнувајте недолично однесување, не предизвикувајте тепачки и други нереди во училиштето и надвор од него;
- Да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за врема на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- Учениците е должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина;
- Да ги негуваат цвеќињата во училниците и ходниците и дрвјата во училишниот двор;
- Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница;
- За време на часот учениците да не излегуваат во тоалет;
- Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор;
- Не викај по ходниците, не трчај, придржувај се кон правилата на однесување;
- Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици;
- Учениците се должни да се грижат за училишниот простор и имот - да не го уништува училишниот инвентар, компјутерите и нагледните средства изработени од ученици;

- Да не ги уништуваат головите и мрежите во дворот на училиштето,
- Да не ги кршат прозорците и друго стакло во училиштето;
- Не фрлај отпадоци насекаде во училницата и училиштето и ако видиш отпад фрли го во корпа за отпадоци;
- Да не цртаат по клупите, ѕидовите и на други места;
- Штом го слушнеш ѕвончето веднаш влези во училницата;
- Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици;
- Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Кога наставникот зборува не го прекинувај;
- Обраќај им се со ВИЕ на возрасните;
- Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- Поздравувај со добро утро, добар ден и до видување;
- Не користи вулгарни зборови кога комуницираш;
- Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот;
- Не носи несоодветни предмети со кои би можеле да повредите други ученици;
- Искажи го секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- Биди самокритичен па потоа критикувај;
- Чувај ги своите предмети и не посегнувај по туѓите;
- Не ги потценувај способностите на своите соученици;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот;
- Почитувај ги различните од тебе;
- Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови;
- Ако не се однесусваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
- Учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја прилика;
- Со своето примерно однесување ќе покажеш почит и кон своите родители;
- Биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш, тие ќе имаат разбирање за твоите постапки;
- Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето;
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

Сите ученици треба да се придржуваат кон одредбите на овој Кодекс на однесување кои се подготвени врз основа на предлози од учениците и се усвоени од Училишната заедница во училиштето.

За непочитување на одредбите од овој Кодекс следуваат педагошки мерки според утврдени критериуми. За направена материјална штета следува паричен надомест и соодветна воспитна мерка.

**Обврски на Дежурните ученици:**

- Дежурството го изведуваат двајца ученици, на влезот во ходникот;
- Дежурниот ученик од горниот ходник за време на големиот одмор дежура пред наставничката канцеларија и не дозволува во неа да влегуваат ученици и родители, туку самиот ги повикува наставниците;
- Останатите дежурни за време на големиот одмор се на своите одредени места;
- Дежурниот ученик се оддалечува од одредените места само ако добијат задача од наставник, стручната служба или директорот;
- Дежурниот ученик не смее да собира други ученици на местата за дежурање, ниту пак самите дежурни да се групираат заради дружење;
- Дежурниот ученик мора да отиде на час доколку прави писмена работа, тест или треба да одговара по некој предмет, но претходно да се јави кај дежурниот наставник;
- Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;
- Дежурниот ученик повремено да се движи низ ходниците и да врши проверка;
- Да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
- Да ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите;
- Да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;
- Дежурниот ученик ги отклучува и заклучува вратите и не прави отстапки за никого, а во тоа му помага обезбедувањето;
- Дежурството на учениците започнува во 7.30 часот, а завршува во 13,00 часот

**КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СТАЈКОВЦИ**

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;

- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СТАЈКОВЦИ

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СТАЈКОВЦИ

- Почитувајте го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;
- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби;
- Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето;
- Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице;
- Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето;
- Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
- Родителите/старатели по завршување на часовите учениците ги превземаат од наставникот од означениот излез;
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците.

**Кодексот на задолжителните, морални и професионални норми ги одредува правилата на нашето училиште што се однесуваат на наставниците, учениците, стручните служби, персоналот и родителите.**

## КУЌЕН РЕД

- Наставничката канцеларија ја користат само наставниците, а не и родители и ученици;
- Одговорни за училишниот инвентар се дежурните ученици, одделенските заедници и одделенските и предметните наставници;
- Одговорни за фискултурната сала, соблекувалните и просторот пред салата се дежурните ученици и наставниците по физичко и здравствено образование;
- Движи се во ходниците без трчање, скокање и туркање;
- Пред училниците да не се седи на подот, тоа дава лоша слика;
- Учениците треба своите лични работи да ги оставаат во училница или да ги носат со себе и тиа се одговорни за истите;
- Секоја намерно направена штета се наплатува;
- Строго е забрането шкртање по ѕидовите, во било кој дел на училиштето;
- Никој од субјектите во училиштето несмее да го уништува имотот во училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со кои би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците и вработените;
- Забрането е пушење во училиштето и училишниот двор;
- Дежурните наставници редовно го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот даден од стручната служба и директорот;
- За време на часовите во ходниците дежураат двајца ученици, на местата определени за тоа;
- За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот;
- Секој вработен е должен за своето отсуство да го извести директорот;
- Промена на дневниот распоред на часови поради отсуство на наставник, прави стручната служба;
- Претседателот на паралелката е должен да се информира кај стручната служба за замена на часот;
- Родителите ќе се примаат само во одредени термини кај одделенските и предметните наставници, а кај стручната служба според условите и потребите;
- Не е дозволено наставниците да излегуваат од час и да разговараат со родителите;
- Наставниците треба да ги известат учениците за термините за одржување на додатна и дополнителна настава и за слободни ученички активности;
- Вработените, учениците и родителите треба во училиштето да доаѓаат пристојно облечени;

**Сите субјекти наведени во претходната точка мора да го почитуваат куќниот ред во училиштето**

## *ПРИЛОГ 37: ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР*

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| IV-А.1 Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование | Инклузија во образованието и дигитални алатки за инклузивна училница | 17.08.2023 | Група наставници | Лаптоп<br>Таблет<br>Online алатки<br>PPT презентации | IV-Б.1 Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата | Директор<br><br>Претседател на тимот за професионален развој |
| II-А.3познава современи наставни стратегии за реализација на наставата | „Иновативни пристапи во наставата“ | 21.08.2023 | Група наставници | PPT презентации | II-Б.7 Применува современи наставни средства и помагала | Директор<br>Претседател на тимот за професионален развој |
| III-А.2 Знае за потенцијалите и можностите на различни средства за учење вклучувајќи ја ИКТ | Обуки на тема „ICT based classes“ | 22.08.2023 | Група наставници | Лаптоп<br>Таблет<br>Online алатки<br>PPT презентации | III-Б.3Обезбедува користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење, вклучувајќи и безбедно користење на ИКТ | Директор<br><br>Претседател на тимот за професионален развој |
| IV-А.1 Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование<br><br>II-А 3. Познава принципите за изработка на ИОП / знае за важноста на ИОП за учениците со посебни образовни потреби | Изготвување на Индивидуалрн образовен план – ИОП и Модифицирана наставна програма | 24.08.2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Компјутер<br>Презентација | IV-Б.2 Учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови<br>II-Б 3.1. Дава стручна поддршка во изготвување на индивидуален образовен план | Директор<br><br>Претседател на тимот за професионален развој |
| IV-А.1 Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование | Поддршка на Училишните инклузивни тимови | 24.08.2023 | Специјален едукатор и | Компјутер<br>Презентација | IV-Б.3Работи во училишни инклузивни тимови | Директор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| II-А 3. Познава принципите за изработка на ИОП / знае за важноста на ИОП за учениците со посебни образовни потреби | | | рехабилитатор | | II-Б 3.1. Дава стручна поддршка во изготвување на индивидуален образовен план | Претседател на тимот за професионален развој |
| III-А.7Знае механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација по било која основа<br><br>VII-А 5. Познава документи со кои е регулирана работата на училиштето | Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Август 2023 | Психолог | Компјутер Презентација | III-Б.8користи соодветни начини за справување со насилство и дискриминација<br><br>VII-Б 4.1.Промовира систематичност и одговорност во работењето на училиштето | Директор<br><br>Претседател на тимот за професионален развој |

## *ПРИЛОГ 38: ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СОРОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ*

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вклученост на родителите/ старателите во работата на училиштето | Информирање / запознавање на родителите со: Правата и обврските на учениците, родителите и наставниците што произлегуваат од законските одредби на основното образование и воспитание, Наставен план и програма, распоред, Годишната програма на училиштето, Куќниот ред на училиштето. | Септември | Одделенски / класни раководители | Годишна програма на училиштето;<br>Кодекс на однесување за ученици, родители и наставници;<br>Куќен ред на училиштето;<br>Наставен план и програма од БРО | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците-ученик-наставник-родител. | Директор |
| Вклученост на родителите/ старателите во животот и работата на училиштето | Вклучување на родителите во: Реализација на одделни сегменти од воспитно образовниот процес, Разрешување на негативни појави во училиштето. | Континуирано | Стручни соработници и сите наставници | Записници | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. | Директор<br>Стручни соработници |
| Вклученост на родителите/ старателите во работата на училиштето | Анализа на работата на училиштето во текот на целата учебна година, Анализа на успехот и поведението на учениците | Континуирано<br><br>Квартално | Стручни соработници и сите наставници | Записници<br>Евидентни листи<br>Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. | Директор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вклученост на родителите / старателите во процесот на учење | Вклучување на родителите во воспитно образовен карактер: Одделенска и предметна настава (нагледни активности во рамките на различни наставни предмети), Планирање и давање поддршка на наставниците за работа со ученици со попреченост, надарени и талентирани ученици, Планирање и давање поддршка за професионална ориентација на учениците | Континуирано | Стручни соработници и сите наставници | Записници Дневник | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. | Инклузивен тим Тим за промоција на училиштето Тим за професионална ориентација на учениците |
| Вклученост на родителите / старателите во воннаставни активности | Вклучување на родителите во воннаставни активности од воспитно образовен карактер<br><br>Зачувување традиционални вредности Во културно - уметнички, спортски и хуманитарен карактер | Континуирано | Стручни соработници и сите наставнци | Дневник | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител. | Тим за училишна интеграција Тим за МИО Тим за промоција на училиштето |
| Едукација на родителите / старателите | Посета на советодавни, консултативни работилници / советувања | Континуирано | Психолог | Записници | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител | Директор |
| Едукација на родителите / старателите | Групни и индивидуални родителски средби | Континуирано | Сите наставници | Записници | Одржување на нишката на „триаголник” во воспитно образовниот процес на учениците – ученик – наставник - родител | Директор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Едукација на родителите / старателите | Еко работилници | Континуирано | Наставник по биологија, хемија и природни науки Одделенски наставници | Изработки | Развивање еколошка свест | ЕКО тим |
| Едукација на родителите / старателите | Проекти | Континуирано | Координатори на проектите | Изработки Патувања | Поддршка и промоција на училиштето | Тим за промоција на училиштето |
| Едукација на родителите / старателите | МИО работилници | Континуирано | Сите наставници | Изработки | Унапредување на соживот | Тим за МИО Тим заучилишна интеграција |

## *ПРИЛОГ 39: ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА*

| **Задача** | **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Очекувани исходи и ефекти** | **Одговорно лице за следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на литературен конкурс | Средба на литературни и ликовни дружини за развивање на љубов кон пишаниот збор | Континуирано | Членовите на секциите и наставникот | Лични творби по избор и според барањата | Соработка, дружење | Наставник по македонски јазик библиотекар |
| Учество и промоција на детски организации | Соработка и средби на У.З. и детските организации од одделенска настава за да се подобри работата на училиштето | Се определува според потребите | Членови на У.З и детските организации и наставн | Изготвени програми | Подобрување на работата во училиштата | Наставници |
| Соработка меѓу училишта | Соработка на стручен план меѓу училиштата за да се подобри работата на училиштето | Ноември-март | Наставници, директор | Стручна литература | Подобрување на работата во училиштата | Наставници |
| Учество на спортски натпревари и манифестации | Учество на разни спортски манифестации за да се промовира здравиот начин на живот | Се определува според потребите | Членовите на тимови и наставникот | По избор | Соработка, дружење | Наставници по физичко и здравствено образование |
| Учество на музички манифестации | Музички средби и хепенинзи, смотри, фестивали за да се развива љубов кон музиката | Се определува според потребите | Членовите на секциите и наставникот | По избор | Соработка, дружење | Наставник по музичко образование Одделенски наставници |
| Посета на кино и театар | Посета на театарски претстави и кино проекции за да се развива љубов кон драмската уметност | Континуирано | Ученици, наставници, Директор, стручни соработници | По избор | Стекнување навики за културно однесување и развивање љубов кон театарот и филмската уметност | Наставници |
| Посета на музеј | Посета на Археолошки музеј со цел учениците да се запознаат со богатото историско наслетство | Според потребите | Ученици, наставници | По избор | Запознавање со особеностите на различните стилови на античката | Наставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | уметност во мозаикот, архитектурата, вајарството, вазното и фреско-сликарството | |
| Посета на музеј, ЗОО, планетариум, Ботаничка градина | Да се прошират знаењата со посета на Природно-научен музеј, ЗОО, Планетариум, Ботаничка градина | Според потребите | Ученици, наставници | По избор | Да стекне знаења за музеј и правилно културно однесување во музеј | Наставници |
| Учество на натпревари | Да се промовира знаењето и да се развива љубов кон науката со учество на разни натпревари, квизови | Според потребите | Ученици, наставници | По потреба | Промовирање на знаењата | Наставници |
| Презентација на училиштето | Да се презентираат постигањата на на училиштето со цел за негова афирмација | Јуни | Директор и стручни соработници | Документи и извештаи | Афирмирање на училиштето | Директор |
| Презентација на средни училишта | Соработка со средни училишта и нивна промоција како и запознавање со струките во училиштетата и условите за запишување | Мај | Ученици, наставници, директор | Материјал по избор на учениците | Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во одлуката за продолжување на нивното образование | Наставници |
| Учество на манифестации | Училиштето и локалната средина, за промоција на училиштето | По потреба | Училиштето и локалната средина | Годишни програми на наставници | Јакнење на соработката | Наставници Стручни соработници Директор |
| Учество на манифестации организирани од општината | По потреба манифестации организирани од општината за промоција на училиштето | Континуирано | Општината | Програми на општината | Негување и издигнување на културното ниво | Наставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на излетнички места | Посета на излетнички места со цел учениците да се запознаат со природните убавини | Октомври / Мај | Ученици, наставници, Директор, стручни соработници | Годишна програма програми | Запознавање на учениците со природните убавини, развој на свеста за зачувување на природата | Наставници |
| Посета на институции | Посета на фабрики, феријали, автобуска и железничка станица за учениците да се запознаат со начинот на работа и функционирање на истите | По потреба | Ученици, наставници | Програми и проекти | Запознавање на учениците со соодветната институција | Наставници |
| Систематски и стоматолошки преглед | Поликлиника „Ченто“- здравствена заштита | По потреба | Ученици | По потреба | Здравствена заштита на учениците | Наставници |
| Соработка со месни заедници | Прибирање информации за активностите на месните заедници и здруженија | Октомври | Директор и комисии | Документи и програми | Зголемување на интересот за соработка | Директор |
| Ден на Општина Гази Баба | Учество во прославата на Денот на Општина Гази Баба | Ноември | Наставници и ученици | Подготвени изв едби соученици | Афирмирање на општината | Наставници |
| Соработка со препријатија | Перманентна соработка со установи и претпријатија за да се подобрат условите во училиштето | Континуирано | Директор и претседател на училишен одбор | Програми и проекти | Подобрување на условите во Училиштето | Директор |
| Посета на Општина Гази Баба | Едукација на учениците за функционирање на општината | Во текот на годината | Ученици и лица од општината | Програми, проекти и портфолија | Продлабочување на знаењата | Наставници |
| Посета на Градоначалникот на Општина Гази Баб | Средба со Градоначалникот и претседателот на советот на Општината Гази Баба | По потреба | Директор и претседател на советот | Законски прописи | Унапредување на демократската свест | Директор |

# *ПРИЛОГ 40: ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ*

## Програма за грижа за здравјето на учениците

| ***Планирана програмска активност*** | ***Време на реализација*** | ***Реализатор*** | ***За кого се реализира*** | ***Очекувани ефекти*** |
|---|---|---|---|---|
| Систематски преглед и ревакцина MRP | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Прво одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Систематски преглед | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Трето одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Ревакцина DT и POLIO | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Второ одделение | Заштита и превенција |
| Ревакцина Tetanus иPoliomielitis | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Осмо одделение | Заштита и превенција |
| Вакцина HPV за девојчиња прва доза | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Седмо одделение | Заштита и превенција |
| Залевање на трајни заби | Септември/ октомври | Претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање и резалевање на трајни заби | Октомври/ ноември | Во амбуланта со претставн- ици од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето | Ноември/ декември | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање на трајни заби и проверка на залевањето | Февруари/ март | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето | Март/ април | Во амбуланта со претставници од здравствени установи | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање и резалевање на прв траен молар | Април/ мај | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Систематски преглед, залевање на први трајни молари и издавање на медицински белешки за упис во прво одд. | Мај | Во амбуланата | ученици | Заштита и превенција |
| Едукација на школски деца преку работилници,, Градба и функција на орална празнина“ | Октомври | Во училиште | Деца од 6 до 9 год. | Едукација на ученици и мерки за заштита и превенција |
| Работилница ,,Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери“ | ноември | Во училиште | Деца од 6 до 9 години | Едукација и мерки за заштита и превенција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница „Правилна орална хигиена“ | Февруари | Во училиште | Деца од 6 до 9 години | Едукација на учениците за правилн орална хигиена |
| Работилница „Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели“ | март | Во училиште | Деца од 6 до 9 години | Мерки за заштита и превенција |
| Осигурување на учениците | Септември | Училиште | 1-9 одделение | Надомест при евентуални повреди |
| Исхрана во училиште<br>-правилна исхрана<br>-болести на исхраната<br>-здрави навики во исхраната<br>-квалитетна достапна храна | Септември | Училиште | 1-9 одделение | Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето |
| Вакцини | Во текот на учебната год. | Претставник од здравствена установа | 1-9 одделение | Заштита и превенција |
| Систематски прегледи | Во текот на учебна год. | Претставник од здравствена установа | 1-3-5-7 одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Предвавања за: Заштита на забите, Заразни и преносливи болести, грип, хепатити ТБЦ | Во текот на целата учебна година | Претставник од здравствена установа | предметна настава | Заштита и превенција |
| Предавање на тема:<br>Заразни болести и заштита од истите | Октомври | Стручнолице | 1-9 одделение | Како да се заштитиме од заразни болести |
| Одржување на личната хигиена на ученици;<br>хигиената во домот и училиштето | Во текот на целата учебна год. | Наставници од одделенска и предметна настава | 1-9 одделение | Подобрувањена личната хигиена, хигиената во домот и училиштето |
| Предавање на тема-Грип и превенција од грипот | Декември | Одд.наставници<br>Стручнолице | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција од грип |
| Стоматолошки прегледи Залевање на заби | Март | Амбуланта | 1 одделение | Заштита и превенција на забите |
| Превенција од насилство | Април | Претставници од полициска станица | 6-9 одделение | Заштита и превенција од насилство |
| Одбележување на 7април-Светскиот ден на здравјето | Април | Наставници од одделенска и предметна наст | 1-9 одделение | Негување и чување на здравјето на учениците |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми-хронично болни | Континуирано | Наставниципедагог | 1-9 одделение | Да им се помогне на учениците со здравствени проблеми |
| Организирано летување | Јуни | Одговорни наставници | 6-9 одделение | Меѓусебно дружење и рекреација |

## Програма за работа на Подмладокот на Црвениот Крст

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознае со Програмата за работа на Црвениот крст | Конституирање и избор на раководство на Подмладокот на Црвениот крст | септември | Одговорен наставник, ученици | Компјутер Интерактивна табла Хартија Пенкало | Знае за Програмата за работа на Црвениот крст | Маја Цекова |
| Да се собере годишна членарина | Собирање на годишна членарина | септември | Одговорен наставник, ученици | Хартија Пенкало | Собрана годишна членарина | Маја Цекова |
| Да се развие хуман однос | Недела на промоција на хумани вредности | 21-27.09.2023 | Одговорен наставник, ученици | Компјутер Интерактивна табла | Развиен хуман однос | Маја Цекова |
| Да се запознаат со работата на Црвениот крст | Прием на првачиња во подмладокот на Црвениот Крст | октомври | Наставници, ученици | Хартија Пенкало | Знае за работата на Црвениот крст | Маја Цекова |
| Да се обезбедат финансиски средства и храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба | Спроведување на хумана солидарна собирна акција по повод „Денот на гладта” | 16.10.2023 | Наставници, ученици, Ученичка заедница, родители | Хартија Пенкало | Обезбедени финансиски средства и храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба | Маја Цекова |
| Да ги знае болестите на зависност | Месец на борба против болести на зависност | ноември | Наставници, педагог, стручни лица | Компјутер Интерактивна табла | Знае за болести на зависност | Маја Цекова |
| Да ги знае сексуално преносливите болести и превенција од ХИВ/СИДА | Превенција од ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести | декември | Црвен Крст- Гази Баба | Компјутер Интерактивна табла | Знае за сексуално преносливи болести и превенција од ХИВ/СИДА | Маја Цекова |
| Да се стекнат со вештини од областа на Прва помош | Подготовки за натпревар по Прва помош-формирање на екипа | декември | Одговорен наставник, ученици | Кутија за прва помош Хартија | Стекнати вештини од областа на Прва помош | Маја Цекова |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање со дејности на Црвен Крст, негова историја и начин на дејствување, информации за работа на терен | ЦКА-ПХВ Работилници | февруари | Црвен Крст- Општина Гази Баба | Компјутер Интерактивна табла | Пронаоѓање таргет групи со кои ќе работат | Маја Цекова |
| Промоција и унапредување на здравјето | Одбележување на Светски ден на здравјето | 07.04.2024 | Ученици, одделенски раководители, педагог, родители, стручни лица | Компјутер Интерактивна табла | Знае за здрав начин на живот | Маја Цекова |
| Да се подигне свеста за хуманите вредности | Одбележување на Светскит ден на Црвениот крст | 08.05.2024 | Одговорен наставник, ученици | Компјутер Интерактивна табла | Изградена свест за хумани вредности | Маја Цекова |
| Да ги знае заштитните превентивни мерки за спасување на живот, подготвеност и одговор при состојби кои бараат итност, а се поврзани со здравјето | Учество на Општински натпревар по Прва помош | мај | Црвен Крст- Општина Гази Баба , ученици | Обезбедени материјали за Прва помош | Знае за заштитните превентивни мерки за спасување на живот, подготвеност и одговор при состојби кои бараат итност, а се поврзани со здравјето | Маја Цекова |

## *ПРИЛОГ 41: ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО*

| Задача | АВреме на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознаат родителите со досегашната работа на училиштето | Септември | Училишен тим | Годшна програма<br>Слики од веб страна<br>Печатење | Поделени брошури на родители, промовирани активности | Одделенски наставници, стручна служба |
| Одбележување на значајни датуми | Септември - јуни | Тимови наставници и ученици | План на активности<br>Тимови | Поттикнување и развивање позитивни вредности | Одговорни наставници<br>Стручна служба |
| Поттикнување и промоција на младински иницијативи | Октомври | Тимот и сите вработени и ученици | Презентации, приредба/ работилници | Зголемена свест превземање иницијативи | Директор Одговорен наставник |
| Соработка на основните училишта од општината | Ноември | Тим наставници и ученици | Комуникација<br>Огранизација на настани и учество | Спортски и културни настани | Општина Одговорни наставници |
| Да се поттикне креативноста кај учениците и соработката со родителите | Декември - март | Советот на родители наставници, ученици, родители | Покана<br>План на активности<br>Тим наставници | Креативни изработки | Совет на родители<br>Одделенски раководители |
| Патронен празник на училиштето | Мај | Сите вработени и ученици | Покана<br>План на активности<br>Тим наставници | Реализирани креативни и едукативни активности | Директор Одговорни на тимовите |

## *ПРИЛОГ 42: ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ*

| **Активности на тимовите испланирани во Годишната програма за работа во училиштето** | **Временска рамка** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тим за поддршка на работата на ученички парламент и ученик правобранител | Во текот на учебната година | Тимот за поддршка на Ученичкиот парламент<br>Ученици<br>Одговорни наставници | Разговор со претставници на ученичкиот парламент и ученик правобранител<br>Извештаи од состаноци<br>Ученички иницијативи | Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите | Зголемена демократска партиципација на учениците во парламентот | Тимот за поддршка |
| Тим за спроведување на проектот за интеграција на еколошката свест во македонскиот образовен систем | Во текот на учебната година | Сите наставници<br>Директор | Извештаи од реализирани часови, состаноци и изработки од учениците | Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите | Подигање на свест за здрава животна средина кај учениците | Директор<br>Тим одговорен за еко проектот |
| Тим за реализација на проекти МИО и МИМО | Во текот на учебната година | Сите наставници<br>Директор | Спроведени активности<br>Извештаи за реализирани часови | Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите | Промовирање на мултикултурализам, интеркултурализам и почит кон разликите | Директор и тим на СИТ<br>Тим за интеграција |
| Тим за професионална ориентација на учениците | Во текот на втрото полугодие | Директор<br>Психолог<br>Класни раководители на IX одделение<br>Ученици од IX одделение | Проценка на интереси и способности<br>Индивидуални средби<br>Презенатција на средни училишта<br>– флаери, постери, саеми | Потребните инструменти наведени се Програмата на професионална ориентација на учениците | Помош за избор на соодветно средно училиште и продолжување на образованието | Директор<br>Тим за професионална ориентација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тим за професионален и кариерен развој | Во текот на учебната година | Директор<br>Сите наставници и стручни соработници | Посетени обуки<br>Реализирани обуки и дисеминации | Потребните инструменти се наведени во акциониот план | Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции | Директор и стручни соработници |
| Инклузивен тим | Во текот на учебната година | Директор Тимот за инклузија<br>Ученици | Извештаи од спроведени обукии работилници за работа со ученици со секаков вид напопреченост | Инструментите се наведени во Програмата за инклузивен тим | Инклузија на ученици во редовната настава од секаков вид на попреченост | Директор и членови на УИТ |
| Тим за промоција на училиштето | Во текот на учебната година | Директор<br>Координатори на проекти<br>Ученици | Патувања и реализација на активностите од проектите<br>Дисеминација<br>Извештаи од спроведени активности | Работилници<br>Инструментите се наведени во Програмата за проекти кои се реализираат во училиштето | Размена на искуства | Директор<br>Координатори на проекти |
| Комисија за самоевалуација | Во текот на учебната година | Директор<br>Сите наставници<br>Стручна служба | Извештај од комисијата година спроведување Самоевалуација за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година | Инструментите се наведени во Програмата за самоевалуација | Самооценување на работата на училиштето | Директор и Комисија за самоевалуација<br>Училишен одбор<br>Тимови |
| Тим за изработка на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето | Јануари, 2024<br>Јуни,2024 | Директор<br>Сите наставници<br>Стручна служба | Извештаи од реализирани активности за учебната 2023/2024 година | Прилози на програми во Годишната програма | Согледување на фактичката состојба | Директор и стручни соработници |
| Тим за подготовка на Годишна програма и прилози кон годишната програма | Јуни-август, 2024 | Директор<br>Тим за изработка, одговорни наставници | Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2024/2025 | Потребните инструменти се наведени во акциониот план | Законски исправилно планирање на работата на училиштето | Директор<br>Тим за изработка на Годишна програма |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 02-22/15
10.08 2023 год.
Стајковци, Гази Баба, Скопје

Врз основа на член 49 став 7 и член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/2019 и 229/2020), Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј"- Стајковци, на седницата одржана на ден 10.08.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци за учебната 2023/2024**

Член 1

Врз основа на член 49 став 7 и член 108 став 1 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци, ја разгледа и усвои Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година.

Член 2

Училишниот одбор ја предлага Годишната програма за работа на училиштето, до Советот на Општина Гази Баба за донесување во законски утврден рок.
Донесената Годишна програма за работа, училиштето да ја достави до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма во рок утврден согласно законот.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор
на ООУ„Кирил и Методиј"Стајковци
Евгенија Илиевска

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Наташа Тргачевска Мојсовски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за работа на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, предложена од училишниот одбор со одлука бр.02-456/3 од 12.07.2023 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор.

**Член 3**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за работа на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година и Програмата за работа на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "КРТСЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за работа за учебната 2023/2024 година, предложена од училишниот одбор со одлука бр.02-456/3 од 12.07.2023 година.

Согласно член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование, "Училишниот одбор на основното училиште: - предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството".....

Програма за работа за учебната 2023/2024 година и Одлуката на училишниот одбор се дадени во прилог на материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Содржина


1. Програма за работа на Директор..... 1
2. Програма за работа на Педагог ..... 4
3. Програма за работа на Специјален едукатор и рехабилитатор.....34
4. Програма за работа на Психолог .....51
5. Програма за работа на Библиотекар .....67
6. Програма за работа на Училишен одбор .....86
7. Програма за работа на Совет на родители .....90
8. Програма за работа на Наставнички совет .....96
9. Програма за работа на Стручен актив Одделенска настава .....99
10. Програма за работа на Стручен актив на Општествено хуманитарна работа..... 105
11. Програма за работа на Стручен актив на јазична група на предмети .....115
12. Програма за работа на Стручен актив на природно – математичка група на предмети .....125
13. Програма за работа на Одделенски совет ..... 134
14. Програма за работа на училишен инклузивен тим .....136
15. Програма за работа на хор .....144
16. Програма за работа на оркестар .....149
17. Програма за работа на Заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител .....153
18. Распоред на часови .....166
19. Програма за воннаставни активности .....168
20. Програма за додатна настава и дополнителна настава.....173
21. Програма за вонучилишни активности .....177
22. Програма за реализација на ученички натпревари ..... 178
23. Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничка интеграција .....183
24. Проекти што се реализираат во училиштето .....204

25. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите .....207
26. План за професионална ориентација на учениците .....209
27. План за работа со надарени, креативни и талентирани ученици .....212
28. План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотерба и запуштање, спречување дискриминација ..... 215
29. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето ..... 220
30. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар ..... 223
31. Програма за самоевалуација на училиштето ..... 226
32. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди ..... 228
33. Распоред на дежурни наставници .....234
34. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето ..... 235
35. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор) ..... 244
36. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно - образовен кадар ..... 250
37. Програма за соработка на основното училиште со родителите – старателите .....253
38. Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница .....254
39. Програма за грижа на здравјето на учениците .....259
40. Програма за јавна и културна дејност на училиштето ..... 262
41. Акциски планови за реализација на сите проектите во училиштето и акциски истражувањe .....268
42. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште .....281

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

на ООУ_____**КРСТЕ МИСИРКОВ**_____

(име на основното училиште)

во _____**СКОПЈЕ ГАЗИ БАБА**_____

(место и општина)

за учебната _____**2023 / 2024 год**_____ година

Скопје, 2023

**ПРЕАМБУЛА**

**„Умот не е суд кој треба да се исполни туку оган кој треба да се разгорува“. – Плутарх**

**Планирањата за работа на ООУ„Крсте Мисирков”Скопје, а вградени во Годишната програма на училиштето се темелат врз:**

- Извештај од извршената самоевалуацаија
- План за развој на училиштето
- Извештајот за работа од учебната 2022/2023 година
- Законот за основното образование;
- Наставниот план и програма за воспитно - образовна работа во основното училиште;

**Законско – нормативните определби:**

- Уставот на РСМ,
- Законот за основно образование и воспитание во РСМ,
- Наставни планови и програми по наставни предмети и подрачја, одобрени проекти од МОН и БРО на РСМ,
- Одобрени учебници од МОН и БРО на РСМ,
- Упатства, укажувања, документи, подсистемски акти, правилници од МОН на РСМ и/или БРО во РСМ,
- Повелби на ООН за правата на детето и човековите права и слободи,
- Статутот на ООУ “Крсте Мисирков”- Скопје
- Закони од интерес за дејноста на училиштето како правен субјект.

**Содржина**

**Вовед**
1.Општи податоци за основното училиште
1.1.Табела со општи податоци
1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

2. Податоци за условите за работа на основното училиште
2.1. Мапа на основното училиште
2.2. Податоци за училиштниот простор
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“
2.5. Податоци за училишната библиотека
2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа
3.2. Податоци за раководните лица
3.3. Податоци за воспитувачите
3.4. Податоци за вработените административни службеници
| V-3 | Наташа Неданоска<br>Александар Цветковски |

### 8.9. Изборна настава

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат во претходно спроведена анкета. Подготовката за избор на изборен предмет се одвива во повеќе етапи односно:

•Прибирање на податоци за понудени изборни предмети од наставните планови и програми за деветгодишно основно образование(април)

• Подготвување на анкетни листови за ученици и родители (април)

• Информирање на родителите и учениците за понудените изборни предмети (мај)

• Спроведување на анкета кај родителите и учениците и учениците за определба на изборен предмет(мај)

• Обработка на податоците од спроведената анкета(мај)

•Презентирање на обработените податоци на наставничкиот совет (јуни)

•Информирање на учениците и родителите за застапените изборни предмети(јуни) На крајот на учебната 2022/2023 година се спроведоа анкети кај учениците за избор на изборните предмети кои ќе ги изучуваат во учебната 2023/2024 год. Од минатата учебна година со новата Концепција за основно образование има поинаква организација во изборните предмети во однос на досегашната пракса за IV, V и VI одделение согласно Водичот за слободни изборни предмети. Од спроведените анкети и од добиените резултати во учебната 2023/2024 година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

| ***Одделение*** | ***Изборен предмет*** | ***Наставник*** |
|---|---|---|
| IV-1 | Танци и народни ора<br>Имам право | Анкица Младеновска |
| IV-2 | Имам право<br>Градинарство и хортикултура | Славица Илиевска |
| IV-3 | Градинарство и хортикултура<br>Разрешување конфликти | Славица Зафировска |
| | Разрешување конфликти<br>Танци и народни ора | Наташа Новеска |
| V-1 | Заштита на животна средина<br>Градинарство и хортикултура | Сузана Тошевска |
| V-2 | Цртање, Сликање, Вајарство<br>Одбојка | Борка Цифревска |
| V-3 | Математика со логично размислување<br>Кошарка | Наташа Недановска |

| | | |
|---|---|---|
| VI-1 | Велосипедизам<br>Справување со природни катастрофи | Виолета Миноска |
| VI-2 | Справување со природни катастрофи<br>Велосипедизам | Виолета Миноска |
| VI-3 | Јас имам права<br>Образование за животни вештини | Ана Николова |
| VII-1 | Вештини за живеење | Фросина Алексовска |
| VII-2 | Вештини за живеење | Ана Николова |
| VII-3 | Вештини за живеење | Ана Николова |
| VIII-1 | Нашата татковина | Анита Ангеловска |
| VIII-2 | Нашата татковина | Анита Ангеловска |
| VIII-3 | Техничко образование | Виолета Миноска |
| VIII-1,2,3 | Вештини за живеење | Виолета Миноска |
| IX-1 | Танц и ора | Фросина Цветковска |
| IX-2 | Танц и ора | Фросина Цветковска |
| IX-3 | Проекти од информатиката | Маја Виденовиќ |
| IX-4 | Вештини за живеење | Ана Николова |

### 8.10. Дополнителна настава

Според Законот за основно образование, член 31 се организира дополнителна настава за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученикот, родител/старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно потребите на учениците. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава наставникот води евиденција и го известува родителот/старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на видно место во училиштето, наставничка канцеларија, холот на училиштето, како и на веб страната на училиштето.

### 8.11. Додатна настава

Според Законот за основно образование, член 32 додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Наставникот е должен да ја понуди додатната настава на учениците, а тие одлучуваат дали ќе ја посетуваат. Основното училиштето на месечна основа изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на видно место во училиштето, наставничка канцеларија, холот на училиштето, како и на веб страната на училиштето.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој,како и да го поддржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои се бидат насочени кон самостојно учење и користење информации: развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата со надарени и талентирани ученици ќе се насочи кон издвојување и развивање на способностите и вештините на надарените и талентирани ученици преку:

• индивидуализација во наставата со учениците
• групна настава за учениците со приближно исти способности
• проектни активности
• слободни ученички активности
• организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
• организирање креативни работилници

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку зголемување на нивното партиципирање во учењето, во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува разумно прилагодување на образовните содржини, пристап, организација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите. Секое училиште треба да ги идентификува бариерите за учење со кои се соочува ученикот и да понуди соодветни стратегии за нивно надминување. На овој начин се овозможува, секој ученик да има пристап до наставата и учењето, како и учество и постигнувања во согласност со неговите потенцијали.

За развој на поквалитетно образование за сите деца, а согласно законските одредби, во училиштето се формирани и работаат два вида на инклузивни тимови:

-Училишен инклузивен тим

-Инклузивен тим за ученик со пп

| Училишен инклузивен тим | |
|---|---|
| **Членови** | **Задачи** |
| -психолог, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. | -Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште,<br>- ги осмислува и спроведува планираните активности и води грижа истите да бидат усогласени и применети во воспитно-образовната работа<br>-наставната работа да се приспособи кон развојните, заеднички и индивидуални потреби за напредок на учениците |
| **Инклузивен тим за ученик со пп** | |
| **Членови** | **Задачи** |
| -наставниците на ученикот, родителот/старателот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор<br>Напомена: Во овој тим, по потреба, можат да се вклучат и други лица кои даваат поддршка на ученикот (лекар, друг вид на стручен соработник или рехабилитатор со кој ученикот работи надвор од училиштето и слично), како и образовен или личен асистент, доколку истиот е препорачан од стручното тело за функционална проценка и работи со ученикот. | Инклузивниот тим за ученик во фокусот на својата работа го има конкретниот ученик за кого е формиран овој тим, односно тој ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за функционална проценка.<br>Според тоа, доколку е препорачано, училишниот тим за ученик изготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби и работи со ученикот според него. |

| **Училишни програми и планови<br>за учениците со посебни образовни потреби** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Индивидуален образовен план (ИОП)** | Изготвување | Задачи | Реализација | Евалуација |
| | -ИОП се изготвува од страна на инклузивен тим за ученик (ИТУ), во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето.<br>За секој ученик се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен ИОП- во кој се опишуваат прилагодувањата на материјалите, активностите и постапките за поучување и поддршка согласно специфичните потребина ученикот. | -Целта на примената на индивидуалниот образовен план е постигнување оптимална вклученост на детето/ученикот во редовните активности во наставата, како и негова прифатеност и независност во групата врсници | Континуирано во текот на учебната година | Два пати во текот на една учебна година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Модифицирана програма** | -се подготвува за секој воспитно-образовен период од страна на Училишен инклузивен тим Инклузивен тим за ученик | -да стекнат знаења и вештини за: самостојна грижа и обавување на културно хигиенски навики, основна комуникација, развивање на психомоторните функции, елементарни знаења од одделните воспитно - образовни подрачја, стекнување основните животни или психосоцијални вештини за личен развој, интерперсонални односи, општествени односи, здраво живеење и однос со надворешната средина. | Во текот на учебната година | два пати во текот на една учебна година |

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Според член 36 од Законот за основно образование (сл.весник бр 161/2019 ) во нашето училиште немаме потреба од тутор/тутори.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Според член 37 од Законот за основно образование (сл.Весник бр.161/2019 ) во нашето училиште
немаме потреба од образовен медијатор.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно. За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности. Училиштето при организирањето на

воннаставните активности води сметка за заштита од дискриминација по било кој основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици.

При планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштето, се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности.

Воннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења.

| 1. **Краткотрајни** | **2.Подолготрајни** | **3. Ученичко организирање** |
|---|---|---|
| Едукативни посети и излети | Секции | Заедница на паралелка |
| Еднократни работилници | Клубови | Ученички парламент |
| Акции во училиштето или заедницата | Проекти | |

# 9.1. Училишни спортски клубови

Во согласност со законските рамки во РСМ, при ООУ „Крсте Мисирков“ функционира Училишен спортски клуб Крсте Мисирков, основан во 2013.
Одговорни наставници се: Дејан Ангеловски, Бобан Величковски, Александар Цветковски, Дарко Костиќ
Во учебната 2023/2024 год. планирани училишни спортови кои ги нуди училиштето, а се во корелација со програмата за физичко и здравствено образование се: фудбал машки, фудб л за девојчиња, кошарка машки, кошарка девојчиња, одбојка девојчиња, одбојка машки, ракомет девојчиња, шах, тенис, пинг-понг и атлетика.

**Цели**:
-Да ги усвојува и увежбува основните спортско-технички знаења од спортските игри.
-Да ја одржува општата моторика како и спечифичната моторика кај спортските игри.
-Да соработува и учествува во тимска работа.
-Да поседува фер-плеј способности и однесувања во натпреварите.
-Да се ослободува од стрес состојби.
-Да создава и применува здравствено хигиенски навики во вежбањето и спортувањето.

**Реализација:** Овие вон-наставни активности ќе бидат реализирани во текот на учебната година. Финалните натпревари ќе бидат одиграни по повод Денот на училиштето. Опфатени ќе бидат учениците од 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 одделение.
Турнирот ќе биде отворен за сите соученици од нивните одделенија како и нивните родители.

**Начин на финансирање:** преку програма на ОСУСГБ, ФУСМ, донатори, спонзори, сопствени средства
**Тимот за следење**: Одговорните наставници

**Начин на еваулација:** следење преку наставата во текот на целата година (иницијално, паријално и финално)
Исто така во текот на учебната година училиштето ќе оствари соработка со останати спортски клубови, спортски друштва, здруженија, спортски федерации и институции со цел афирмирање на спортските активности, и тоа со следните: Федерација на Училишен спорт на Гази Баба, Федерација на Училишен спорт на Македонија, Атлетска федерација на Македонија, како и клубови кои функционираат во непосредната околина: Карате клуб Солидарност, Кошаркарски клуб "MVP" , Кошаркарски клуб „Илинден", Одбојкарски клуб „Јанта Волеј", Теквондо клуб „Тигар" РК „Металург", Фудбалска федерација на Македонија, Атлетски клуб Работнички и други спортски друштва.

- **Училишен спорт**

| Спортски игри | Цели | Опфатеност на ученци | Предвиден настан | Време на реализација | Место на одржување | Одговорни наставници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| фудбал момчиња<br><br>-фудбал девојчиња<br><br>-кошарка момчиња<br><br>-кошарка девојчиња<br><br>-одбојка девојчиња<br><br>-пинг-понг<br><br>-крос натпревари | **Општи цели:**<br>-да ги усвојува и увежбува основните спортски технички знаења од спортските игри<br>-да ја одржува општата и специфичната моторика<br>-да соработува и учествува во тимска работа<br>-да поседува фер-плеј способности и соднесувања во натпреварите<br>-да се ослободува од | - ученици од 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 одделение | турнир по повод Ден от на училиштето | септември 2023 - мај 2024 | -училишна спортска сала<br><br>-Спортско рекреативен центар Хиподром | - Дејан Ангеловски<br><br>- Бобан Величковски<br><br>- Александар Цветковски<br>-Дарко Костиќ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | стрес состојби<br>-да создава и применува здравствено хигиенски навики<br>*** Конкретни цели**<br>-да ги одржува и подобрува индикаторите на здравето (психомоторните способности)<br>-да ја развива силата на мускулните групи<br>-да го развива спортскиот дух | | | | | |

- ***Ученички спортски натпревари***

| ***Општински натпревари<br>Регионални натпревари<br>Државни натпревари*** | | ***Право на учество*** | ***Забелешка*** |
|---|---|---|---|
| ***Лига*** | ***Турнир*** | | |
| - Лига фудбал (машки)<br>Лига кошарка (машки)<br>Лига одбојка (девојчиња) | - ракомет (девојчиња)<br>-фудбал (девојчиња)<br>-кошарка (девојчиња)<br>-пинг – понг<br>-крос<br>-Атлетика<br>-Карате<br>останати спортови | - ученици од 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 одделение | - Планот на натпревари е во согласност со календарот на натпревари на Општинскиот сојуз за училишен спорт во Гази Баба (ОСУСГБ).<br><br>- Планот на натпревари е во согласност со календарот на Федерација на училишен спорт на Македонија |

# 9.2. Секции/Клубови

Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Секој ученик пополнува анкетен лист, на кој се дадени сите секции, клубови кои ги организира училиштето. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции/ клубови или во ниедна. Оваа учебна година училиштето организира слободни ученички активности во следниве секции (табела) Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување
- Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време

| | **Назив на секцијата** | **Одговорен наставник** | **Учесници** | **Цели** | **Подрачје Содржини и активности** | **Време на реализација** | **Просторни услови** | **Следење на учеството** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Литературна секција | Мирјана Малјановска | Ученици од VI до IX одд. | Развивање љубов кон пишаниот збор, креативноста и поттик и развивање интерес за самостојно творење. Запознавање со творештвото на значајни литературни дејци | Интерес на учениците како и теми дадени од наставникот и други субјекти како внатрешни така и надворешни како што се литературни конкурси и други манифестации | Од септември до јуни 2023/24 година | Кабинет по македонски јазик | Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот во секцијата ќе биде вреднуван од соучениците и одговорниот наставник |
| 2 | Дебатна секција | Наставник по историја и граѓанско образование | Ученици од VIII и IX одд. | Развивање на критичко мислење, техники за | Интерес на учениците како и теми дадени од наставникот и други субјекти како | Во текот на наставната 2023-2024 година | Кабинет по историја и граѓанско образовани | Присуството на учениците ќе биде |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | правилно и содржајно дебатирање | внатрешни така и надворешни | | е | евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот во секцијата ќе биде вреднуван од соучениците и одговорниот наставник |
| 3. | Драмска секција | Ана Николова | Ученици од VI до IX одделение | Запознавање со драмата преку почетоците на драмата, пишување и изведба на современи адаптирани текстови со разновидна тематика. Театарската изведба на драмски текст има морално-дидактичен карактер и воспитно образовна цел да ги развие позитивните | Активности насочени кон развивање на вештините кај учениците за читање со разбирање,интерпретација на дела и ликови на при изведба на сцена,подобрување на вештините за движење во простор и изведба,говор пред публика,активности за градење сопствен став и критичко размислување. Настапи во склоп на училишните активности и активностите за промоција на училиштето. | Септември-јуни 2023/2024 година | Кабинет по македонски јазик | Евиденција за присуство и континуиран напредок на учениците се следи од страна на одговорниот наставник |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | карактерни вредности кои учениците ги градат усвојуваат преку играње улоги. | | | | |
| 5 | Duo Lingo | Анета Придаенкоска, Даниела Здравева, Фросина Алексовска, Оливера Костадиноска, Весна Димитровска | ученици од IV - IX одделение | Учениците ќе имаат можност да научат како да истражуваат на дадена тема, да ги надоградат и применат стекнатите јазични знаења во различни јазични ситуации, подигнување на степенот на знаење на англискиот и францускиот јазик како и знаењата за културните обележја на народите чиј јазик се изучува Учениците ги развиваат своите | Активности поврзани со изучување на традиции, познати карактеристики и културни особености за земјите од кои доаѓа англискиот и францускиот јазик | Септември 2023- јуни 2024 | Кабинет по англиски и француски јазик | Водење евиденција за присуството на учениците и континуирано следење на нивната работа при изработка на списанието |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | дигитални вештини пркеу изработка на периодично електронско списание | | | | |
| 6 | Новинарско - јазична секција | Благица Ристивојевиќ | Ученици од 6-9 одделение | Во новинарската секција членуваат ученици кои сакаат да се занимаваат со актуелните настани од животот, да истражуваат за значајни интересни информации, да ги промовираат идеите и успесите како свои така и на своите соученици. Различни групи на ученици ќе пишуваат на различни теми од мода, спорт, музика, култура и друго. Со учество во секцијата | Целите на новинарската секција се преку различни задачи учениците да се запознаат со новинарството, со новинарскиот стил на пишување - различните информативни и публицистички начини на пишување. Со членувањето во новинарската секција учениците ќе го усвојат новинарскиот стил и поблиску ќе се запознаат со различните информативни жанрови (вест, извештај соопштение), како и со литературно-научен вид творби (репортажа, патопис, интервју) | Септември 2023 -јуни 2024 | Кабинет по македонски јазик | Присуството и активностите на учениците ќе биде следено од одговорниот наставник |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | учениците ќе се запознаат со новинарската етика. Новинарот треба да ги дознае и прибере информациите, потоа да ги провери, да ги напише и да ги потпише истите. | | | | |
| 7 | Клуб на млади историчари | Благица Атанасова | Ученици од 7-9 одделение | Целта на историската секције е задоволување на интересот на учениците за минатото и доаѓање до израз на нивните творечки способности. | Активностите се поврзани со историска тематика: истражување и откривање занимливости од различни периоди од светската историја , подготвување презентации за значајни историски датуми во рамките на светската историја, учество со свои прилози при одбележување на национал-ните/државните празници, посета на историски локалитет... | Септември 2023-јуни 2024 | Кабинет по историја | Присуството и активностите на учениците ќе биде следено од одговорниот наставник |
| 8 | Географска секција | Анета Чаковска | Ученици од 7 -9то | Преку активностите на | Во секцијата членуваат ученици кои сакаат да | Еднаш седмично | Кабинет по географија | Присуството и |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | одд. | секцијата се запознавааат со истражувачката работа и природните убавини во нашата Земја и Светот | истражуваат и октриваат и продлабочуваат знаењата за познати и непознати предели во Земјава и Светот | од септември 2023 до јуни 2024 | | активностите на учениците ќе биде следено од одговорниот наставник |
| 9 | Еколошка секција | Валентина Мишевска | Ученици од 7, 8 и 9то одделение | Развивање и подигање на свеста кај учениците за зачувување на здрава и чиста животна средина, и подобрување на хигиената во училиштето и училишниот двор.<br>Преку истражувачката работа учениците се запознаваат со деновите на еко- календарот | Активности поврзани со деновите на еко - календарот преку проекти и истражувања | септември 2023- јуни 2024 година | кабинет по биологија, училишен двор | Присуството и активностите на учениците ќе биде следено од страна на одговорниот наставник |
| 10 | Хемиска секција - Сакам хемија | Сашка Крстевски | ученици од 8-мо и 9-то одделение | - развој на вештини во експериментирање<br>-проширување и продлабочување на знаењата по | Осврт на научниот метод ( експеримент, резултати од експеримент, хипотеза и теорија). Практични и осмислени експерименти при кои | Септември 2023 - јуни 2024 | Кабинет по хемија | Од страна на одговорниот наставник се следи присуството и напредокот на учениците |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | предметот хемија | се испитуваат својствата на материјата | | | |
| 11 | Математичка секција | Елена Новакова | Ученици од 6 до 9 одделение | - Развој на креативни способности кај учениците<br>-Потикнување на размена на мислења<br>- Проширување и продлабочување на знаењата по математика | Решавање на натпреварувачки задачи од Теорија на броеви, Алгебра и Геометрија | Септември 2023 - јуни 2024 | Кабинет по математика | Евиденција за присуство и континуирано следење на напредокот на учениците |
| 12 | Физичка секција „Млади Физичари“ | Анета Топалова | Ученици од 8-мо до 9-то одделение | Развој на критичко размислување и решавање на проблеми,<br>Развивање на дигиталните вештини со акцент на вештини за кодирање<br>Популаризација на физиката кај учениците | Активности поврзани со креирање на едукативни игри од областа на физиката<br>Решавање на натпреварувачки задачи од наставните теми по физика за 8 -мо и 9-то одделение<br>Практични и осмислени експерименти | Септември 2022 - јуни 2023 | Кабинет по физика | Евиденција за присуство и континуирано следење на напредокот на учениците |
| 13 | Секција по Кошарка | Бобан Величковски | ученици од 6, 7, 8, 9 одделение | Развивање на физичките способности и совладување на | Преку активностите на секцијата кај учениците се развива осетот, просторот и чувството за | 2023 септември - 2024 мај | Фискултурна сала | Водење евиденција за присуството на учениците и |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | елементите од кошарката | кошарка | | | континуирано следење на нивната работа врз основа на креираните програми |
| 14 | Секција по Атлетика | Дејан Ангеловски | Ученици од 6, 7, 8, 9, одделение | Развивање на физичките способности и совладување на елементите од атлетиката | Преку активностите на секцијата кај учениците се развива осетот, просторот и чувството за кошарка | 2023 септември - 2024 мај | Фискултурна сала | Водење евиденција за присуството на учениците и континуирано следење на нивната работа врз основа на креираните програми |
| 15 | Секција по Фудбал | Александар Цветковски | Ученици од 2 до 5 одделение | -Да ја совлада елементарната техника во фудбалот<br>-да ја одржува општата и специфичната моторика<br>-да соработува и учествува во тимска работа | Преку активностите на секцијата кај учениците се развива осетот, просторот и чувството за фудбалот | Септември 2023 -јуни 2024 | Фискултурна сала | Водење евиденција за присуството на учениците и континуирано следење на нивната работа врз основа на креираните програми |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Секција по ракомет | Дарко Костиќ | Ученици од 3 до 5 одделение | -Да ја совлада елементарната техника во фудбалот<br>-да ја одржува општата и специфичната моторика<br>-да соработува и учествува во тимска работа | Преку активностите на секцијата кај учениците се развива осетот, просторот и чувството за фудбалот | Септември 2023 -јуни 2024 | Фискултурна сала | Водење евиденција за присуството на учениците и континуирано следење на нивната работа врз основа на креираните програми |
| 17 | Секција по пеење | Фросина Цветкова | Ученици од шесто до деветто одделение | Совладување на вокална техника, правилно дишење,импоста-ција на глас, фалсет пеење. Развивање на дијапазонот постепено преку вокализи. | Преку активностите на секцијата кај учениците се репродуцира вокален колоризам, уметничко изразување. Учениците интерпретираат идеи и емоции користејќи креативно изразување. | Септември 2023- јуни 2024 | Кабинет по музичко образование | Присуството и активностите на учениците ќе биде следено од одговорниот наставник. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Ликовна секција | Никола Наневски | Ученици од 6 до 9 одделение | Поттикнување на интересот на учениците за ликовно творење и ликовната уметност. Поттикнување на креативноста и критичкото мислење. Добивање на продлабочени сознанија за историјата на уметноста, но и современата уметност . | Активности поврзани со сите ликовни подрачја и техники за кои би се интересирале учениците. Посета на музеи и галериски простори. | Септември 2023 - јуни 2024 | Кабинет по ликовно образование | Присуството и активностите на учениците ке биде следено од страна на одговорниот наставник |
| 20. | Секција по информатика | Маја Виденовиќ | ученици од VI до IX одделение | Развивање на дигиталната и медиумската писменост на учениците. Продлабочување на алгоритамското размислување и вештините за кодирање. Развивање на креативност, критичко размислување, способност за решавање проблеми и тимска работа преку работа на проекти | Активности во рамки на CodeWeek, Hour of Code Учество во проекти Одбележување на Недела на информатиката Учење базирано на игра и соученичко учење Соработка со инситуции од областа на информатиката | септември 2023 - јуни 2024 | Компјутери интернет онлајн ресурси средства за комуникација | Присуството и активностите на учениците ке биде следено од страна на одговорниот наставник |

### 9.3. Акции

Акциите се краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку дена. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа.Акциите може да бидат ограничени на самото училиште, но можат да бидат насочени и кон заедницата (акција за чистење во поширокота околина, собирање на стара хартија во соседството и др.) Во нашето училиште се организираат бројни акции и тоа согласно со предвидениот план, како и акции иницирани во текот на учебната година.

| Назив на акцијата | Содржина и активности | Временска рамка | Одговорен наставник | Учесници | Цели на акцијата |
|---|---|---|---|---|---|
| „Денот на гладта“ | -Собирни хуманитарни акции за укажување помош на социјално загрозени ученици и семејства или за ублажување на последици од елементарни непогоди | Октомври | сите наставници | -наставници -ученици, -стручна служба | -Поттикнување на хуманоста и солидарноста |
| Одбележува ње на Денот на шегата 1 Април | Изработки на маски тимски и индивидуално од одпаден матријал Шега, дружба и избор на најдобра маска | април | тимот за манифестации | -наставници -ученици, | Развивање креативност и фантазија,позитивни ставови и работни навики кај учениците, преку изработка на маски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Новогодишен базар | - изработка и продажба на новогодишни украси и храна од страна на учениците, наставниците и родителите | Декември | Сите наставници | -наставници<br>-стручна служба<br>-ученици | -Собирање парични средства што ќе се наменат за купување на потребни средства во училиштето |
| Ден на пролетта - Ден на екологија | -Чистење на училишниот двор, училиштето и училниците | Март | Сите наставници и стручна служба | Наставници и ученици | -Развивање свест кај учениците за грижа за сопствениот двор и училиштето, развивање естетика, поттикнување креативност и подигнување на свеста кај учениците за негување и чување на ,,вториот дом“. |
| Велигденски базар | - Изработка на велгиденски јајца и украси | Април | Сите наставници | наставници, ученици,родители,стручна служба | Развивање свест за креативност,солидарност,мегуетничко дружење и соработка |
| „Здравјето пред сè“ | -Собирање на донации за укажување помош на социјално загрозените ученици и семејства | Април | Стручна служба и наставници | Наставници, ученици, родители | -Подигнување на свеста кај учениците за важноста на здравјето, хигиената и хуманоста |
| Хуманитарни акции - Собирање доброволен прилог (по потреба) | -Собирање доброволен прилог за укажување помош на социјално загрозените ученици и семејства | Цела учебна година | Сите наставниц | Ученици, наставници и родители | -Поттикнување хуманост и солидарност |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесувањето одлуки во училиштето во однос на прашањата што се од нивен непосреден интерес. Училиштето овозможува и активно ги поттикнува учениците да се здружуваат во заедница на паралелка, училишна заедница и во посебни ученички тела, преку кои ќе им се овозможи активно да истражуваат и да дискутираат за различните аспекти на училишниот живот што се релевантни за нив да учат да зборуваат за проблемите кои ги засегаат преку свое избрано тело и негови претставници, да соработуваат во различни контексти (различен етнички и родов состав или со ученици со различни погледи на размислување), да ги анализираат истите и потоа да можат да работат за нивно подобрување.

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште учениците се организираат во:

-заедница на паралелка

- ученички парламент

а) Заедница на паралелката

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката. Задачите на заедницата е да одлучува за прашања поврзани со успехот, учењето, престојот во училиштето, меѓусебни односи како и односи со возрасните во училиштето. Во заедницата на паралелката се избира претседател на заедницата и заменик претседател. Изборот се врши секој учебна година со правична засатапеност на половите (машко, женско). Освен претседател и заменик претседател на заедницата на паралелката, секој ученик од паралелката доброволно се приклучува кон постојани или привремени тела. Постојани тела може да бидат: Општествено корисна и хуманитарна дејност, Црвен крст, Клуб за намалување на насилство, Еко клуб, уредување на училницата, благајник, Детска организација и други од интерес на паралелката. Привремени тела може да бидат: хигиена во паралелката, надминување на некој проблем, поддршка на ученик со потешкотии или со посебни образовни потреби и други во зависност од потребите на паралелката.

б) Ученички парламент

-Процедура за избор на претседател на ученичкиот парламент

Според Законот за основно образование (Св.161 од 5.08.2020) член 68, став 3 и 4, „за организирано остварување на интересите на учениците во основните училишта, учениците се организираат во заедници на паралелките и ученички парламент “.

„Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките“. По изборот на претседателите на заедниците на паралелките, директорот на училиштето свикува конститутивна седница на ученичкиот парламент, последната недела од месец септември во учебната година. Датумот на одржување на конститутивната седница е во согласност со годишната програма на училиштето (програма за работа на ученички парламент, директор). На конститутивната седница точка на дневен ред е избор на претседател на ученичкиот парламент

-Процедура за избор на ученик- правобранител

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од VII-IX одделение, по пат на тајно гласање (член 68, став 8). Функцијата и улогата на ученичкиот парламент е промовирање на детските права и поддршка и заштита на детските права. Задачата промовирање на детските права ученичкиот правобранител ќе ги реализира преку едукативни работилници, дебати, информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права во соработка со тимот за поддршка на ученичкото организирање и стручните соработници од училиштето. За втората задача, поддршка и заштита на детските права, ученичкиот правобранител ќе соработува со стручните соработници во училиштето, ќе препознава кршење на детските права и истото ќе го пријавува до директорот на училиштето и училишен одбор (доколку не се превземени активности за нивно надминување). Ученичкиот правобранител може да учествува на состаноците на ученичкиот парламент и другите тела во училиштето доколку се разговара за можни повреди на детските права. Мандатот за правобранителот трае 2 години освен ако за правобранител е избран ученик од IX одделение. По завршување на мандатот се распишува нов отворен повик. По завршување на мандатот на ученичкиот правобранител училиштето му доделува сертификат на ученикот кој бил правобранител.

Ученик правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето.

Функцијата, задачите и улогата на ученик правобранител е составена од три примарни компоненти:

1. Промовирање на детските права

- Организира активности за промовирањето на детските права примарно преку промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.),
- учениците правобранители и замениците организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. .

2. Поддршка за заштита на детските права:

Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици се состои од:

- поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. - ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците

-ги доставува поплаките до стручните соработници на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права.

-прибира податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручните соработници во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач.

-организира месечни состаноци со стручни соработници на училиштето и учествува во работата на ученичкиот парламент.

-подготвува и доставува месечни извештаи од овие активности до стручните соработници.

3. Процедура за поднесување претставки, комуникација со наставен кадар/стручни соработници и народниот правобранител

-ученикот правобранител има право да остварува директна средба со ученикот на кој му се повредени правата по различен основ

-Им помага или дава насоки на учениците да поднесат жалба /поплака/претставка доколку смета дека е повредено некое право
-ученикот правобранител одредува дали претставката е соодветна и дали ученикот/чката ја следел/а стандардната процедура за доставување претставка.
-ученикот правобранител во консултација со замениците одредува дали претставката е прекршување на некое детско право или претставката не е соодветна за понатамошно разгледување
- по доставена претставка по регуларен пат, доколку таа е потпишана односно не е анонимна, ученикот правобранител или неговите заменици/чки се обидуваат да договорат состанок со оној кој ја поднесува поплаката во соодветно време и место.
-доколку претставката е од посериозен карактер, ученикот правобранител воспоставува контакт со Заменикот народен правобранител задолжен за детските права со цел запознавање со случајот и утврдување понатамошни насоки.
-ученикот правобранител заедно со Тимот од ученичка заедница води листа за евиденција на прекршени детски права. Активностите на Ученички Правобранител во учебната година се прилагодени со програмата и активностите на Ученичкиот парламент:
-реализација на работилници со учениците за детските права (еднаш месечно – или најмалку четири пати годишно со различни генерации и учество на најмалку 20 ученици).
-Да организираат инфо ден, еднаш годишно за промоција на ученичкиот правобранител во прво полугодие.
-Да прибираат поплаки од ученици за прекршени права и да ги доставуваат до стручните соработници во училиштето.
За да го остварат сето ова и да им се овозможи правилно да функционираат, потребните ресурси и материјали на учениците се следниве: печатени формулари за пријава на избор на претседател на одделение, ливчиња за тајно гласање, кутија за гласање, печатен формулар-листа со потписи за поддршка од учениците за предлог за претседател на одделение, одредување на сала за состаноци (училница), хартија, фломастери, печатен формулар за пријавување на ученик правобранител, формулар за пријавување на прекршени детски права, обезбедена просторија (канцеларија) на ученик правобранител, кутија за жалби, поплаки, пофалби, печатени анкетни листови за собирање на мислења, предлози, идеи и сл.

## 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Училишен тим: Александар Цветковски, Фросина Алексовска, Маја Виденовиќ, Бобан Величковски, Наташа Неданоска, Маја Атанасовска
Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24година ќе биде регулирана активноста: организирање на екскурзии и излети со воспитно - образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за

природните богатства и културно - историското наследство, како и љубов кон природата. Училиштето предвидува:
наставно – научни екскурзии, чија цел е практично усвојување на знаења од културата и општеството на народите, во земјата и пошироко. Во таа смисла, наставно – научните екскурзии одат во прилог на збогатување на стекнатите сознанија од различни области, поттикнување на критичкото мислење, но и развивање повисок степен на социјализација кај учениците. Исто така училиштето во делот за вонучилишни активности има изготвено и програми за организирање и реализирање на зимска и летна школа за учениците од VI-IX одделение во учебната 2023/2024 година.
Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно - научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно - научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно - научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно - научна екскурзија со учениците од IX одделение.

**- Есенски излет**: Парк шума Гази Баба
одговорен наставник: Александар Цветковски, Дејан Ангеловски, Бобан Величковски
**- Пролетен излет**: Сарај
одговорен наставник: Дејан Ангеловски, Бобан Величковски, Александар Цветковски
**- Еднодневна екскурзија III одд**: Лешок – Тетово
одговорен наставник: Маја Атанасовска
**- Настава во природа за V одд**: Крушево
одговорен наставник: Наташа Неданоска
**- Дводневна екскурзија за VI одд**: Источна Македонија (Струмица)
одговорен наставник: Фросина Алексовска
**- Тродневна екскурзија за IX одд**: Западна Македонија (Охрид)
одговорен наставник: Валентина Мишевска

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

| Вонучилишни активности | Број на ученици | паралелка |
|---|---|---|
| Пливачки клуб-Пингвин | 1 | IV-3 |
| Хорот на Златно славејче | 1 | IV-3 |
| Гимнастика клуб - Партизан | 1 | IV-3 |
| Балетско студио Лебед | 1 | IV3 |
| Бибиверзум | 1 | IV-3 |

| | | |
|---|---|---|
| Break a leg | 1 | IV-3 |
| ФК Маџари-Солидарност - Јуниор | 2 | V-1 |
| Опера и балет | 1 | IV-2 |
| ФК Маџари-Солидарност | 1 | IV-2 |
| ФК Маџари-Солидарност - Јуниор | 3 | V-2 |
| Фолклорно друштво- Јончe Христовски | 4 | IV-1 |
| ФК Маџари - јуниор | 1 | IV-1 |
| ФК Карацов | 1 | IV-1 |
| ФК Смиљковци 2011 | 3 | IV-5 |
| МВП | 1 | IV-4 |
| РК Алкалоид | 2 | IV-4 |
| ФК Смиљковци 2011 | 1 | II-4 |
| ФШ - Глигоров | 1 | IV-4 |
| АКУД ,,Мирче Ацев,, | 1 | IV-4 |
| Фолклорно друштво ,,Јончe Христовски,, | 2 | IV-4 |
| МВП„Крсте Мисирков“ | 2 | V-3 |
| MZT Аеродром | 1 | V-3 |
| ДКЦ Карпош-балет | 1 | V-3 |
| Школа за глума Весна Петрушевска | 1 | V-3 |
| ФК„Карацов“ | 1 | V-3 |
| ЖОК Вардар ООУ„Крсте Мисирков“ | 4 | V-3 |
| Англиски јазик-курс Johnson Academi | 2 | V-3 |
| Играорно друштво Јончe Христовски | 2 | V-3 |
| Eureka Dance company | 1 | V-3 |
| Карате клуб Кизаме | 1 | II-3 |
| ФК Маџари Солидарност | 2 | II-3 |
| Пливачки клуб Делфини | 1 | II-3 |
| Балетско студио Лебед | 1 | II-3 |
| ФК Маџари | 1 | II-1 |
| ПК Пингвин Олимписки | 1 | II-1 |

| | | |
|---|---|---|
| базен | | |
| ФК Маџари Солидарност Јуниор | 2 | II-2 |
| Еурека-балет | 2 | II-2 |
| ЖОК Вардар-одбојка | 1 | II-2 |
| ФК Карапов | 1 | II-2 |

## 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Ученичките натпревари се составен дел од воспитно – образовните активности кои имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, да се остварат контакти со учениците од други средини, но и да се промовира училиштето и општината. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот, односно го водат ученикот кон портите на успехот и надвор од училиштето. Нашето училиште континуирано овозможува и подржува учество на ученици на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. На овие натпревари учениците имаат можност да го вложат својот максимум за реализација на сопствените афинитети и вештини. Училишните натпревари се организираат за учениците од III, IV и V одделение по некои наставни предмети, како и од VI - IX одделение по некои од наставните предмети. Одговорните наставници ги спроведуваат училишните натпревари, за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Планот за натпревари детално е дадена во прилог

| Задача | Активности | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|---|
| Учество на натпревар по англиски јазик Eltam, училишен, општински, регионален и државен натпревар | Активности за подготовка на натпреварите | февруари / март / април | Наставник по англиски јазик Фросина Алексовска |
| Учество на натпревари во организација на сојузот на ДМЈЛ, тековни литературни и ликовни конкурси од разни владини невладини и меѓународни организации | Активности и подготовка за натпревари и творење и доставување на литературни творби | Во текот на учебната 2023/24 | Наставник по македонски јазик Мирјана Малјановска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на натпревари по македонски јазик за раскажување,рецитаторство,творење литературни творби и најдобар есеј.<br>Учество на книжевни манифестации,детски литературни фестивали.<br>Општински,регионални и државни во соработка со општина Гази Баба,СДМЈЛ,НРБ,фондации,организации и сл. | Активности за подготовка и учество на натпреварите и книжевните манифестации | октомври/ноември/ февруари/ април/мај | Наставник по македонски јазик |
| Учество на училишен,општински,регионален и државен натпревар по географија | Активности за подготовка на натпреварите | Училишен - февруари општински - март регионален - април државен - мај | Наставник по географија |
| Учество на училишни, општински, регионални натпревари во соработка со Општински Сојуз на Училишен Спорт на Гази Баба | Активности за подготовка и учество на натпреварите | октомври,ноември,декември,февруари,март,април,мај | Наставници по физичко и здравствено образование |
| Учество на натпревар по англиски јазик Eltam, училишен, општински, регионален и државен натпревар | Активности за подготовка и учество на натпреварите | февруари-мај | Наставници по англиски јазик Анета Придаенкоска / Даниела Здравева Стевковска |
| Учество на натпревар општински по хор | Активности за подготовка и учество на натпреварите | април | Наставник по музичко образование Фросина Цветкова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на натпревар по природни науки<br>училишен<br>општински<br>регионален<br>Државен | Активности за подготовка и учество на натпреварите | декември(училишен)<br>општински (март)<br>регионале (април)<br>Државен (мај-јуни) | Наставници по природни науки во 5-то и 6-то одд<br>Анета Топалова<br>Сашка Крстевски<br>Анета Чаковска |
| Учество на натпревар по биологија со ученици од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение<br>училишен<br>општински<br>регионален<br>Државен | Активности за подготовка и учество на натпреварите | декември(училишен)<br>општински (март)<br>регионале (април)<br>Државен (мај-јуни) | Наставници по биологија<br>Сашка Крстевски<br>Валентина Мишевска |
| Учество на натпревар по хемија со ученици од 8-мо и 9-то одделение<br>училишен<br>општински<br>регионален<br>Државен | Активности за подготовка и учество на натпреварите | декември(училишен)<br>општински (март)<br>регионале (април)<br>Државен (мај-јуни) | Наставник по хемија<br>Сашка Крстевски |
| Учество на натпревар по физика со ученици од 8-мо и 9-то одделение<br>училишен<br>општински<br>регионален<br>Државен | Активности за подготовка и учество на натпреварите | декември(училишен)<br>општински (март)<br>регионале (април)<br>Државен (мај-јуни) | Наставник по физика Анета Топалова |
| Учество на државна манифестација Денови на електротехниката“ | Активности за подготовка и учество на натпреварите | април-мај | Наставник по физика Анета Топалова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на училишен/општински/ државен натпревар по француски јазик | Активности за подготовка | февруари 2024-мај 2024 | Наставник по француски јазик Весна Димитровска |
| Учество на училишен/општински/ државен натпревар по математика | Активности за подготовка и учество на натпреварите | февруари 2024-мај 2024 | Актив математика во ООУ „Крсте Мисирков“ |
| Конкурс за фотографија со натпреварувачки карактер | Активности за подготовка | март 2024-мај 2024 | Наставник по француски јазик Весна Димитровска |
| Учество во интернационален натпревар Дабар | Активности за подготовка и учество на натпреварите | ноември 2023 | Наставници |
| Реализација на натпревари по информатика | Активности за подготовка и учество на натпреварите | ноември 2023 - јуни 2024 | Наставник по информатика Маја Виденовиќ |
| Учество на натпревар „Детски семафор“ | Подготовка за натреварот во решавање на тестови од сообраќај и вешто возење велосипед на полигон | април | Наставник Виолета Миноска и ученици од 5-9 одд. |

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛТУЛАРИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА/

Основна цел:

Интегрирано образование е нов модел на образование кој претставува пример за образование на децата и младината од сите етнички заедници во мултиетничка средина заради нивно подготвување за живот во мултиетничко општество. Овој образовен модел ги негува, ги охрабрува и ги интегрира во себе мултиетничките и мултикултурните вредности, образувањето и надградувањето како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и заедницата, преку негување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, градејќи притоа едно мултиетничко општество. Интенцијата на квалитетното интегрирано образование е градење на современи, успешни и ефективни воспитно-образовни установи кои ќе ги промовираат мултиетничките вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училишен амбиент.

Задачи:

Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24 год. се планирани низа активности кои ќе ја вклучат меѓуетничката интеграција во наставата. Меѓу другото, во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни активности како во самото училиште, така и во соработка со партнер училиштето ООУ „25 Мај“, ООУ „Кирил и Методиј“ и сите останати училишта во општина Гази Баба. Во сите активности кои се планирани за оваа учебна година ќе бидат вклучени ученици од сите етнички групи од 1 до 9 одделение, како и наставниците, родителите, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината, ОБСЕ, БРО, МОН, институции од регионот на Западен Балкан, претставници од бизнис секторот и други субјекти.

Покрај споменатите активности ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги споменеме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, натпреварите во пинг понг, бадминтон, есенски крос, атлетика, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани.

Активности:

- Одбележување на Денот на јазиците- 26 септември
- 3 Ноември-Одбележување на роденденот на Општината;
- Проект на „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ кој се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дености при Општина Гази Баба: заеднички средби на членовите од Комисијата за изготвување, разгледување и реализација на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието, реализација на активности

предвидени со Акцискиот план за учебната 2023/2024 година на ниво на општина; Формирање на Општински ученички парламент (вмрежување на ученичките парламенти од сите училишта); Он-лајн квиз; Изработка на макети од народни носии; Изработка на Веб страна; Изложување на фотографии и ликовни творби.
- Подготвување и слушање песни и ора од различни националности и запознавање со различни видови носии од нашите простори;
- Учество во музички перформанси (оркестарски, хорски, ритмички и др. ансамбли)

- Изработка на илустративен материјал за историјата, јазикот, обичаите и културата на различните етнички групи кои живеат во Македонија;
- Новогодишен хепенинг-подготовка на традиционални јадења од националностите застапени во нашето училиште со учество на родители;
- Разни други самостојни и/или на ниво на активи проектни активности;
-Активности предвидени со годишната програма на библиотека/медијатека;
-Редовни и воннаставни активности предвидени по предметите ликовно образование, музичко образование, граѓанско образование
- Презентирање на одредени начини на добро однесување од различни култури и народи;

- Работилници со активности од МИО на часовите и одделенските часови од програмата за Животни вештини;
- Посета на театарска претстава, ТВ куќа или радио, кино, Саем на книга, француски ресторан, стара чаршија, музеи, Планетариум итн.
Забелешка: Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!
Носители на програмата се: Тимот на МИО
Време на реализација на програмата: предвидените активности ќе се реализираат од септември 2023 до јуни 2024 година
Ресурси:
- училница, хартија-бели листови, хартија во боја, компјутери и интернет конекција, апликација ZOOM (неограничено), Microsoft Teams, Национална платформа за далечинско учење, Прирачник-Животни вештини и работни листови, хамери, маркери, бои, фломастери, прибор за цртање, лепак, примероци на метали и легури, копии од митови, потрошен материјал за изработка на новогодишни украси, принтер, лап топ, хефталка, селотејп, колаж, лепило, спајалици, фотоапарат, фотографии, музика, ЦД-плеер, цедиња, аудио-визуелни средства, парчиња ткаенина, игла, конец; Тетратка, учебник, молив,табла, креда, интернет, компјутер, агломер, шестар, линијар,
- потребни за предвидените проекти: училишен двор, цвеќиња, рециклиран материјал, садници, следење обуки, спортска сала, топки, штафети, хулахопи, јажиња и други спортски реквизити, материјал за изработка на макети, училишна библиотека, книги, хамери, бели листови, листови во боја, маркери, фломастери, лепак, селотејп, Материјал потребен за изработка на нагледни

средства, фотографии, фотоапарат, принтер, штафелаи, буџет од општината наменет за реализација на проект, грант од МОН наменет за реализаација на заеднички активности со партнер училиште.
Инструменти: формулар за набљудување, чек листа-список за следење, извештаи.
Очекувани ефекти:
- Учениците ќе имаат можност да ја доживуваат Македонија како мултикултурна држава во која живеат различни етнички групи со што ќе можат да ги воочат предностите на мултикултурната држава и ќе развиваат свест за прифаќање на различностите и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи, заедништвото, соживотот и поддршката еден со друг и бидејќи мултиетничноста не само што ја прави нашата земја побогата, туку добрите односи меѓу раѓаните и почитта кон различностите е главен столб врз кој треба да ја градиме сегашноста и иднината на Македонија.
Координатор на тимот: Лидија Петрушевска

Членови на тимот за училишна интеграција при ООУ „Крсте Мисирков“

| Име и презиме | |
|---|---|
| Лидија Петрушевска (координатор) | Одделенски наставник |
| Наташа Неданоска | Одделенски наставник |
| Јасминка Пешевска | Одделенски наставник |
| Фросина Цветкова | предметен наставник (музичко образование) |
| Ѓорѓи Цеков | предметен наставник (музичко образование) |
| Даниела Здравева Стевковска | предметен наставник (англиски јазик) |
| Елена Новакова | предметен наставник (математика) |

11-а Проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба“ се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба, а се финансира со поддршка на општина Гази Баба и град Скопје.

| Име и презиме/одговорни лица за реализација на проектот | |
|---|---|
| Валентина Ангеловска- Киевска | Одделение за јавни дејности, Општина Гази Баба |
| Елизабета Анчевска | Одделение за јавни дејности, Општина Гази Баба |
| Бајрам Бекир, заменик-член | ООУ „Кирил и Методиј“ |
| Македонка Настевски | ООУ „Крум Тошев“ |
| Даниела Димишковска | ООУ„Наум Охридски“ |
| Анита Ангеловска | ООУ„Кирил и Методиј“ |
| Роза Јаневска | ООУ„ Дане Крапчев“ |
| Светлана Петровска | ООУ„Наум Наумовски Борче“ |
| Татјана Силјановска Гочкова | ООУ„ Григор Прличев“ |
| Сузана Курбардовиќ | ООУ„ 25Мај“ |
| Никола Попадиновски | ООУ „Вера Јоциќ“ |
| Лидија Петрушевска | ООУ„Крсте Мисирков“ |
| Ивана Петровска | ООУ„Његош“ |
| Мери Тодорова Младеновска | ООУ„ Стив Наумов“ |
| Иван Симоновски | советник во Советот на Општина Гази Баба |
| Александар Каровски | советник во Советот на Општина Гази Баба |
| ученици | Вклучени се ученици од сите 11 училишта од општина Гази Баба (од I до IX одделение) |
| наставници | Вклучени се сите наставници од сите 11 училишта од општина Гази Баба (одделенски и предметни наставници) |

| | |
|---|---|
| Име на проектот: | Проект на „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“ |

| | |
|---|---|
| Подршка, соработка и финансирање: | Проектот е финансиран, подржан и потпомогнат од општина Гази Баба и град Скопје |
| Цел на проектот: | -продлабочување на соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и други соработници од различна етничка припадност;<br>-попродлабочена и почеста соработка во заедничките активности помеѓу учениците од сите 11 училишта од општината со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуаи и заедници и ќе се развие свеста за прифаќање на различноста на другите етнички групи;<br>-другарување преку кое ќе го искажуваат своето мислење и ќе го сослушуваат и прифаќаат туѓото мислење, взаемно помагање и подржување. |
| Исходи од реализацијата на проектот: | - Еднакви можности за сите деца;<br>- Учениците ќе се чувствуваат мотивирано и прифатено;<br>- Можност за развој на творечки и креативни способности;<br>- уредена Web страна на која ќе се промовират зедничките активности, мултикултурализмот, соживотот;<br>- вмрежување на ученичките парламенти кои ќе ги претставуваат ученичките иницијативи и идеи за подобра, демократска средина погодна за учење, соработка и дружба;<br>- онлај квиз на знаење каде учениците ќе ги споделат своите знаења и квалитети со своите другарчиња;<br>- преку изработка на макети ќе се запознаат со културите и обичаите на сите етнички заедници во нашата држава, ќе ги почитуваат, прифаќаат разликите и ќе ја афирмираат мултикултурата<br>- Зголемена желба за престој во училиште и поголем интерес за учество во наставни и воннаставни активности |
| Временска рамка за реализација на проектот: | Септември 2020 - Мај 2025 |

| | |
|---|---|
| Ориентационен буџет за реализација на иницијативата | 512.000,оо денари |

11-б Проектот „Градиме нови мостови“ се реализира по насока на апликантите ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „ Кирил и Методиј“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ

| Одговорно лице за проектот | |
|---|---|
| Тимот на МИО, координатор – Лидија Петрушевска | ООУ „Крсте Мисирков“ |
| Тимот на МИО, координатор - Сузана Курбардовиќ<br>Тимот на МИО, координатор- Анита Ангеловска | ООУ „25 Мај“<br>ООУ „Кикрил и Методиј“ |
| ученици | Вклучени се ученици од двете партнер училишта (од VI и VI одделение) |
| наставници | Вклучени се сите наставници од двете партнер училишта (одделенски и предметни наставници) за реализација на активностите |
| Директор, стручни соработници | Вклучени се и директорите, стручните соработници на двете училишта, како и родители |

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата, а истите се подржани МОН, БРО, УСАИД и други институции, органи, невладини организации и сл.Нашето училиште во моментов е учесник во проектот **Слоу Фуд Водно- „Улилишни градини- училница на иднината** како и во **Проект на „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“** кој се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дености при Општина Гази Баба и **„Градиме нови мостови“** се реализира по насока на апликантите ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „ Кирил и Методиј“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ, Според досегашните искуства спремни сме да се вклучиме и во други проекти тековно и остваримe успешна соработка.

| | Име на проект | Цел | Исход | Лица вклучени во проектот | Време на реализација | Средства за реализација | Начин на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Слоу Фуд Водно- „Улилишни градини- училница на иднината** | подобрување на квалитетот и начинот на исхрана на младата популација да се негува животната средина, природните добра и богатства, младите генерации да ја негуваат, сакаат и применуваат во секојдневниот живот да се намалат недостатоците при обработка, добивање на органска храна, храна за подобар и здрав живот | подобар начин на живот кај помладата популација негувана и чиста животна средина секојдневна примена во животот водење на здрав начин на живот | Славица Зафировска со тимот за училишната градина<br><br>Јасминка Пешевска<br>Маријан Митревски<br>Наташа Новеска<br>Славица Илиевска<br>Наташа Недановска<br>Сузана Тошевска | во текот на целата година | / | животна средина и простотно планирање |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост во општина, ,,Градиме нови мостови“ | продлабочување на соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и други соработници од различна етничка припадност;<br>- попродлабочена и почеста соработка во заедничките активности помеѓу учениците од сите 11 училишта од општината со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и ќе се развие свеста за прифаќање на различноста на другите етнички групи;<br>-другарување преку кое ќе го искажуваат своето мислење и ќе го сослушуваат и прифаќаат туѓото мислење, взаемно помагање и | - Еднакви можности за сите деца;<br>- Учениците ќе се чувствуваат мотивирано и прифатено;<br>Можност за развој на творечки и креативни способности;<br>уредена Web страна на која ќе се промовират зедничките активности, мултикултурал измот, соживотот;<br>- вмрежување на ученичките парламенти кои ќе ги претставуваат ученичките иницијативи и идеи за подобра, демократска средина погодна за учење, соработка и дружба;<br>- онлај квиз на знаење каде учениците ќе ги споделат своите знаења и квалитети со своите другарчиња; | Тимот на МИО проектот | Септември 2020 - Мај 2025 | 512.000,оо денари | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | подржување. | - преку изработка на макети ќе се запознаат со културите и обичаите на сите етнички заедници во нашата држава, ќе ги почитуваат, прифаќаат разликите и ќе ја афирмираат мултикултурата<br>- Зголемена желба за престој во училиште и поголем интерес за учество во наставни и воннаставни активности | | | | |

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. Постигнување на учениците

Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност. Затоа, наставниците им даваат поддршка на сите ученици, ги третираат учениците рамноправно и правично, ги препознаваат нивните индивидуални разлики и ги земаат во предвид во својата работа. Стручните соработници ја темелат работата врз основа на континуирана опсервација и проценка на напредокот на нивните потенцијали, силните страни и вештини. Наставниците редовно планираат и реализираат додатна и дополнителна настава како поддршка во учењето и напредокот на учениците во текот на учебната година.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите /старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно особеностите, способностите и афинитетите на учениците,. Училишниот психолог реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која на предлог на БРО ја утврдува министерот.

Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, за да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, да се откријат нивните интереси и желби за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. Учениците ќе проследат предавања, разни стручни и пропагандни материјали од средните училишта, а воедно ќе го разгледаат Конкурсот за упис во државните средни училишта, приватните колеџи и др. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот, преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование. Во договор и со соработка со средните училишта ќе се организира посета на поедини средни училишта. Уписот на учениците во средните училишта се следи преку повратна информација од средните училишта, каде се запишани нашите ученици и податоците се доставуваат до МОН и ДПИ.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во правец на заштита на секој ученик од било каков вид на насилство, злоупотреба и занемарување, училиштето ќе превзема мерки согласно Законот за основно образование и Упатството за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација. Имаме формирано тим за превенција од насилно однесување во училиштето како и тим за меѓуетничка интеграција и унапредување на интеркултурализмот, кој активно работи на намалување на меѓуетнички предрасуди, омраза и насилство и во иднина ќе продолжи да делува во таа насока. Редовно и навремено остваруваме соработка со здравствените организации заради заштита на здравјето на учениците и помош при секаков вид повреди случени за време на наставата. Согласно програмата на стручните соработници реализираме активности за превенција од насилно однесување и делуваме навреме доколку истото се појави во училиштето во било каков облик. Со овие програми се обидуваме и успеваме да обезбедиме мирна, безбедна и пријатна атмосфера во училиштето за време на наставата и одморите. Доколку дојдеме до сознание за било каков вид насилство во рамките на семејството, ќе го вклучиме Центарот за социјални работи согласно нивните ингеренции за помош при решавање на проблемот, а од таму, по службена должност ќе се информира службата за малолетничка деликвенција, полиција, здравствен дом и др.институции кои се занимаваат со

психолошка поддршка и третман на жртвата. Доколку насилството е извршено од страна на друг ученик или група ученици, непознато лице однадвор или родител на друг ученик, веднаш го вклучуваме и семејството на жртвата. Доколку пак насилникот е член на семејството и нема подобрување на однесувањето после нашата вклученост, веднаш го информираме Центарот за социјални работи, кој ја превзема работата понатаму. При секое наше делување ги почитуваме сите права на ученикот врз кој се врши насилство (жртвата), како еднаквост и забрана за дискриминација; право на самоопределување, право на приватност, доверливост, дискреција и непристрасност и ги вклучуваме сите засегнати страни за поефикасно решавање на проблемот.

## 16. ОЦЕНУВАЊЕ

### 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во училиштето се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.Во првиот период (I до III одд) постигањата на ученикот во текот на наставата се запишуваат со описни оценки.Во текот на вториот период (IV-VI одд) постигањата на ученикот по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано, во текот на годината оценувањето е описно, а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано.Учениците од третиот период (VI-IX одд) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). Во училиштето се посветува посебено внимание на формативното следење на постигањата на учениците како важен предуслов за подобрување на постигањата на учениците и стекнување на квалитетни и применливи знаења. Формативното оценување на постигањата на учениците се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, ученичко портфолио и др), со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат. Значаен дел на формативното оценување е и повратната информација која ја добиваат учениците за нивниот напредок со конкретни насоки за подобрување. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Наставниците континуирано го планираат оценувањето и на учениците со посебни образовни потреби согласно со претходно изготвените индивидуални образовни планови и во соработка со Тимот за инклузија.
Во рамките на годишното, тематското и дневното планирање секој наставник го планира формативното и сумативното оценување. Секој наставник пред почетокот на учебната година изработува план за писмено оценување на учениците имајќи ги предвид законските ограничувања, а се изготвува и план (календар) за писмено проверување на ниво на училиште.

| Одделение | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик** | **2 седмица** | | **1 седмица** | | | **1 седмица** | **2 седмица** | | | |
| **Математика** | **1 седмица** | **3 седмица** | | **2 седмица** | | **2 седмица** | **2 седмица** | | | |
| **Општество** | | **2 седмица** | | **2 седмица** | | | **1 седмица** | | | |
| **Природни науки** | | **3 седмица** | **2 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | | **2 седмица** | **3 седмица** | **5 седмица** | |
| **III одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик.** | **1 седмица** | **3 седмица** | **4 седмица** | **4 седмица** | | | **4 седмица** | **4 седмица** | **3 седмица** | |
| **Математика** | **1 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | **4 седмица** | | | **2 седмица** | **1 седмица** | **4 седмица** | |
| **Општество** | | | **1 седмица** | **3 седмица** | | | **4 седмица** | | | **1 седмица** |
| **Природни науки** | | | **2 седмица** | **4 седмица** | | | **3 седмица** | | **3 седмица** | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Англиски јазик** | | | | | | | **3 седмица** | | | **1 седмица** |
| **IV одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик.** | **4 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | | | **4 седмица** | **4 седмица** | **3 седмица** | |
| **Математика** | **3 седмица** | **3 седмица** | **4 седмица** | **3 седмица** | | **3 седмица** | **4 седмица** | **2 седмица** | **3 седмица** | |
| **Англиски јазик** | | | **3 седмица** | | | | **3 седмица** | | | **1 седмица** |
| **Природни науки** | | **4 седмица** | **4 седмица** | **4 седмица** | | | **2 седмица** | **4 седмица** | | **1 седмица** |
| **Истирија и општество** | | **4 седмица** | **4 седмица** | **4 седмица** | | | **3 седмица** | **4 седмица** | | **1 седмица** |
| **V одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик.** | **3 седмица** | **4 седмица** | **2 седмица** | **3 седмица** | | | **2 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | |
| **Математика** | **3 седмица** | **4 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | | **3 седмица** | **2 седмица** | **3 седмица** | **3 седмица** | |
| **Англиски јазик** | | | **3седмица** | | | | **4 седмица** | | | **1 седмица** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општество** | **4 седмица** | **4 седмица** | **4 седмица** | **4 седмица** | | **2 седмица** | **4 седмица** | **4 седмица** | **3 седмица** | |
| **Природни науки** | | | **3 седмица** | **4 седмица** | | | **4 седмица** | | **4 седмица** | |
| **Техничко образование и информатика** | | **4 седмица** | **4 седмица** | | | | | **2 седмица** | | |
| **VI одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик.** | | | **3седмица** | | | | **4 седмица** | | **2 седмица** | |
| **Математика** | | **4 седмица** | | **4 седмица** | | | **5 седмица** | | **4 седмица** | |
| **Англиски јазик** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | **4 седмица** | | **3 седмица** | |
| **Француски јазик** | | | | **1 седмица** | | **4 седмица** | | **4 седмица** | | |
| **Информатика** | | **1 седмица** | | **1 седмица** | | | | **1 седмица** | | |
| **Историја и општество** | | **2 седм** | | | | **2 седм** | **3 седм** | | **2 седм** | **1 седм** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ица** | | | | **ица** | **ица** | | **ица** | **ица** |
| **Природни науки** | | **2 седмица** | | **3 седмица** | | **2 седмица** | | **1 седмица** | **2 мај** | |
| **VII одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик.** | | | | **1 седмица** | | | **4 седмица** | | **1 седмица** | |
| **Математика** | | | **1 седмица** | | **5 седмица** | | **4 седмица** | | **4 седмица** | |
| **Англиски јазик** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | **4 седмица** | | **3 седмица** | |
| **Француски јазик** | | **1 седмица** | **4 седмица** | | | | **2 седмица** | **3 седмица** | **4 седмица** | |
| **Историја** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | **2 седмица** | | **3 седмица** | |
| **Информатика** | | **1 седмица** | | | | | **1 седмица** | | **2 седмица** | |
| **Биологија** | | **1 седмица** | **1 седмица** | | | | **3 седмица** | | | |
| **Географија** | | **2 седмица** | **3 седмица** | | | **3 седмица** | | | **3 седмица** | |
| **VIII одделение** | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик.** | | | **3 седмица** | | | | **2 седмица** | | **3 седмица** | |
| **Математика** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | **5 седмица** | | **3 седмица** | |
| **Англиски јазик** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | **4 седмица** | | **3 седмица** | |
| **Француски јазик** | | **2 седмица** | | **3 седмица** | | | **4 седмица** | **1 седмица** | **3 седмица** | |
| **Историја** | | **4 седмица** | | | | **2 седмица** | | | **4 седмица** | |
| **Граѓанско образование** | | | | | | **1 седмица** | | **3 седмица** | **4 седмица** | |
| **Биологија** | | **2 седмица** | | | | **4 седмица** | | | **1 седмица** | |
| **Хемија** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | | | **4 седмица** | |
| **физика** | | | | **3 седмица** | | **4 седмица** | | | **1 седмица** | |
| **Географија** | | **3 седмица** | **4 седмица** | | | | **3 седмица** | | **3 седмица** | |
| **IX одделение** | | | | | | | | | | |
| **Македонски јазик.** | | | **3 седми** | | | | **2 седм** | | **3 седм** | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ца** | | | | **ица** | | **ица** | |
| **Математика** | | **4 седмица** | | **4 седмица** | | | **5 седмица** | | **4 седмица** | |
| **Англиски јазик** | | **3 седмица** | | **3 седмица** | | | **4 седмица** | | **2 седмица** | |
| **Француски јазик** | | | | **1 седмица** | | **4 седмица** | | **4 седмица** | | |
| **Историја** | | **4 седмица** | | **2 седмица** | | **2 седмица** | | | **4 седмица** | |
| **Хемија** | | | **2 седмица** | **3 седмица** | | **2 седмица** | | | **4 седмица** | |
| **Географија** | | **1 седмица** | | **1 седмица** | **2 седмица** | | | **3 седмица** | **4 седмица** | |
| **Биологија** | | | **4 седмица** | | | | **1 седмица** | **3 седмица** | | |
| **Физика** | | **4 седмица** | | **3 седмица** | | | | **2 седмица** | **4 седмица** | |
| **Граѓанско образование** | | | **4 седмица** | | | **4 седмица** | | **4 седмица** | **4 седмица** | |

Одделенскиот наставник, односно раководителот на паралелката континуирано во текот на учебната година ги известува учениците за нивниот напредок и постигања по секој одделен наставен предмет. Родителите на учениците се известуваат за постигнатиот успех на учениците најмалку четири пати во текот на учебната година, најдоцна три дена по завршување на одделенските совети. Континуирано во текот на учебната година родителите се известуваат за напредокот на учениците на индивидуални средби и за време на примените денови во училиштето.

### 16.2. Тим за анализа, следење и поддршка во оценувањето

Во училиштето постои Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето, во кој најмногу става акцент на следењето на формативното оценување на учениците од страна на наставниците и на следењето на усогласеноста на оценувањето од страна на наставниците со предвидените стандарди, како и анализа на усогласеноста на критериумите за оценување помеѓу наставниците. Следењето на начинот на реализација на оценувањето во училиштето се реализира преку анализа на планирањата на наставниците, изготвените инструменти за оценување, како и посета на часови од страна на директорот и стручните соработници во училиштето. Анализата на прибраните информации е во насока на планирање на идни чекори со цел подобрување на состојбата на оценувањето на постигањата на учениците.
Народниот правобранител како претставник и застапник на правата и интересите на сите ученици како една од задачите ја има и таа да ги слуша, разгледува и пренесува жалбите и поплаките од учениците во однос на нивното оценување.

**Процедура за поплаки и жалби**
Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог, педагог и специјален рехабилитатор и едукатор.
Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на учениците.
Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО.
Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

**План за посета на часовите и воннаставните активности**

| Активност | Носители на активност | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| -Креирање политика за поддршка на планирањето за посета на часови | Директор Стручни соработници и Наставници | -Распоред на часови - Стручни материјали - Извештај од посетени часови | -Прашалник за наставниците | Септември | поквалитетна настава |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови<br><br>-Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на часови | Директор<br>Стручни соработници | Годишни и тематски планирања на наставниците<br>-Дневни подготовки на наставниците | Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците од одделенска и предметна настава<br>-Инструменти за посета на реализацијата на час за одделенска и предметна настава | Во тек на годината | - Подобар квалитет при реализација на часот<br>- современи приоди во наставата |
| Евалуација | Директор<br>Стручни соработници<br><br>Наставници | Програми и подготовки на наставниците | Извештај од посетата на часовите користени инструменти од посетите на наставата | Мај-јуни | подобрување на квалитетот на реализацијата на наставата |

**16.3. Стручни посети за слеедење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар.**

Во ООУ „Крсте Мисирков“ Скопје текот на учебната 2023/ 2024 редовно ќе се врши следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно обрзаовниот кадар. Планот за реализација на овие стручни посети е даден во прилог.

**16.4. Самоевалуација на училиштето**

Училиштето врши редовна самоевалвацијата на сопствената работа и постигањата на секои две години. Во текот на месец јуни 2022 беше подготвен извештај за извршената самоевалуација во периодот 2020–2022, со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на восипитно-образовната работа. Во текот на учебната 2022/ 2023 година се започна со нова самоевалуација на работата во училиштето, односно со подготвителна фаза за започнување на процес на самоевалуација. Во наредната учебна 2023/2024 ќе се

продолжи со реализација на активностите предвидени со приоритетите определени со самоевалвацијата. Програмата за самоевалуација е дадена во прилог.
Училишна комисија за самоевалуација:
Маја Виденовиќ
Лидија Димитриевска
Наташа Недановска
Елени Јанакиевска
Сања Станковска

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во случај на некоја елементарна непогода направен е план за спасување на учениците и вработените на училиштето.
Училиштето има план за заштита и спасување на учениците и вработените од природни непогоди и други несреќи. Во случај на евентуален пожар или друг вид на загрозеност обезбедени се прописни излези за вработените и учениците при што е овозможена евакуација преку ходниците. Во планот за евакуација точно се утврдени и назначени правцот на движење, излезите, просторот за ПП-апарати, сандачиња за прва помош, ѕиден хидрант и зборно место. Во планот за евакуација постојат 2 зони и 3 излези. Зона 1 ги опфаќа просториите на приземјето, лево од централниот хол. Зона 2 ги опфаќа просториите на приземјето, кои се десно од централниот хол и излезот на фискултурната сала.

Програма за спасување и заштита е дадена во прилог.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Составен дел на училишната програма заземаат содржините поврзани со здравјето на учениците. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат треба да се здрави.

За секој наставник и за секое дете важи слоганот "Здрави навики - светла иднина", па поради тоа една од најважните работи е грижа за здравјето на секое дете во училиштето. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и тоа на три нивоа:

**-физичко здравје** кое опфаќа: лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

**-ментално здравје** го опфаќа: самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;

-**социјалното здравје** ја опфаќа: грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година според Програмата за грижа за здравјето која е составен дел-прилог кон годишната програма за работа на училиштето, а најнепосредно и во наставата по предметите физичко и здравствено образование и природни науки – за учениците од I-VIодд, како и предметите по биологија, хемија, физичко и здравствено образование – за учениците од VII-IX одд.

| **Планирана програмска активност** | **Цел на активноста** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Превенција за обештетување од повреди | Училиште | Мај | Надомест за евентуални повреди |
| Вакцини | Да се обезбеди заштита и превенција | Здравствена заштита | Во текот на целата | Заштита и превенција |
| Систематски прегледи | Преземање мерки за заштита и превенција, навремено откривање на евентуални болести | Здравствена установа | Во текот на целата година | Заштита на здравјето и навремено лечење од евентуални заболувања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на учениците на тема: Здрава храна за добро здравје - Животни вештини | Формирање здрави навики за исхрана на учениците | Одговорни наставници | Ноември | Подигање на јавна свест |
| Предавање на тема : Заразни болести | Мерки за заштита и преввенција од заразни болести | Ученици | Декември | Мерки за заштита и превенција од заразни болести |
| Одржување на хигиената во училиштето | Подобрување на хигиена во училиштето | Наставници од одделенска и предметна настава | Во текот на целата година | Подобрување на хигиената во училиштето |
| Залевање на заби | Заштита и превенција на забите | Амбуланта | По претходно утврден календар | Заштита и превенција на забите |
| Одбележување на 7ми април - Светски ден на здравјето | Негување и чување на здравјето на учениците | Стручно лице | Април | Негување и чување на здравјето на учениците |

Програмата вклучува: Хигиена во училиштето, систематски прегледи, вакцинирање (имунизација) на учениците и едукација за здрава храна - оброк во училиштето.

### 18.1. Хигена во училиштето

Во училиштето хигиената секојдневно и редовно се одржува преку чистење на училници и ходници, одржување и хигиена во училишните дворови и градината, санитарните јазли со користење на средства за дезинфекција. Од страна на Заводот за здравствена заштита се врши дератизација и дезинсекција на училиштето со цел сите релевантни субјекти во училиштето да бидат заштитени од заразни болести. Чистата работна атмосфера овозможува пријатно чувство за работа кај вработените и учениците.

### 18.2. Систематски прегледи

Во согласност со јавните здравствени установи во училиштето учениците редовно се повикуваат на систематски прегледи. Во овие прегледи се опфатени ученици од II, IV, VI и VIII одделение со цел да се следи целокупното здравје на учениците за превенција и заштита од несакани

здравствени проблеми и истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата по завршување на наставата,а учениците ќе бидат предводени од своите класни раководители.

### 18.3. Вакцинирање ( Имунизација) на учениците

Вакцинирањето на учениците ќе се изведува според календарот за имунизација и вакцинација од здравствената амбуланта. Здравствената заштита на учениците се состои од:

I одделение - М.Р.П.
II одделение - Дифтерија, полиомиелитис и ППД и ВЦГ-вакцина
III одделение - /
V одделение - /
VII одделение - ХПВ
IX одделение - Дитепер и полио

Укината е БЕ-СЕ-ЖЕ вакцина

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Едукацијата за здрава исхрана на учениците ќе се изведува континуирано преку едукативни предавања. Ќе се стави акцент на здравата исхрана богата со витамини и минерали, зголемена физичка и спортска активност, намалено време на работа со компјутери за подобрување на физичкото, менталното и социјалното здравје. Тие ќе имаат за цел едукација на учениците за здрава исхрана и подигање на свеста за правилна исхрана.
**Време на реализација:**во текот на целата учебна година

**Ресурси:** стручен соработник-психолог, стручен соработник-педагог, стручни материјали, лап-топ, електронска табла, печатени материјали, брошури, online извори и дигитални ресурси

## 18. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор). Правилникот ќе се надополни со процедура за нередовно носење униформи, најавени како донација од општината. Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се

водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тимот за естетско уредување составен од членовите:– Јасминка Пешевска- координатор, Виолета Миноска, Никола Наневски, Мимоза Црвенова, Валентина Мишевска,Анкица Младеновска и претставници од учениците во училиштето, оваа учебна година ќе изведе низа активности се со цел подобрување на наставниот процес.

Целта е естетско вообличување на просторот во училиштето, изгледот на холовите, поттикнување на креативност и фантазија кај учениците,подобрување на амбиентот за работа и учење како и поттикнување на еко свеста кај учениците и вработените во училиштето.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Прием на првачиња | септември | Тимот и наставници од прво одделение | Пано за добредојде на новите ученици | Пријатни чувства кај новите ученици |
| Одбележување на 8 септември | септември | Ученици, наставник по ликовно образование, Наставици од одделенска настава кои предаваат мајчин јазик и ликовно образование, наставници по мајчин јазик | Ученички ликовни и литературни творби | Градење на патриотски чувства кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на европскиот ден на јазиците | септември | Наставници по странски јазици и македонски јазик | Изработка на паноа со претставување на некои европски држави. | Зголемен интерес кај учениците за изучување на различни европски јазици. |
| Одбележување на 11 октомври | октомври | Ликовна и литературна секција, одделенски наставници, наставници по историја | Ученички творби, Паноа со историска изложба. | Развивање на патриотизмот кај учениците и подобрување на естетскиот изглед на училиштето. |
| Одбележување на 3 Ноември – ден на општина Гази Баба | ноември | Ученици од 1-5 одделение | Ликови и литературни творби | Поттикнување на креативноста кај учениците и развивање на критериум за естетско вреднување на непосредната околина. |
| Одбележување на патронат на училиштето | ноември | Тимот, наставници по историја, македонски јазик и одделенски наставници, ученици | Ликовни творби, изработка на мото за патрониот празник, историска изложба за патронот на училиштето | Развивање на чувство на припадност. |
| Изработка на новогодишни украси и уредување на училиштето по повод новогодишните празници | ноември | Тимот, Ученици и одделенски раководители од 1-9 одделение | Новогодишни украси. | Поттикнување на креативност и фантазија кај учениците |
| Одбележување на Денот на жената | март | Ученици и одделенски раководители од 1-9 одделение | Честитки,цветови, култ кон мајката | Почит кон жената и нејзините права |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Денот месецот на екологијата | март | Тимот, ученици, Еколошка секција | Ликовен хепенинг | Да се развие еко свеста |
| Одбележување на Велигден | април | Ученици од 1-9 одделение | Велигденски хепенинг | Развивање на позитивен однос кон културата и традицијата на Македонија |
| Одбележување на 24 мај – Ден на Сесловенските просветители | мај | Тимот<br>Ученици од 1-9 одд, | Материјали потребни за творење, ученички творби | Развивање на позитивен однос кон културното наследство, оддавање почит кон Сесловенските просветители |

### 19.3. Етички кодекси

Усвојувањето на прифатливо однесување од страна на учениците сега и во иднина е меѓудругото наша цел. Токму затоа, Кодексите за однесување се поставени на видно место во училиштето, а една од главните задачи на секој одделенски наставник е да ги запознае учениците односно родителите со правилата на пожелно и прифатливо однесување на почетокот на наставната година односно на првата родителска средба.
Кодексот за однесување на вработените е исто така истакнат на огласната табла во канцеларијата за наставници. Кодексите за однесување се објавени и на училишната веб страна за да бидат на широко достапни.
Кодексите за однесување се ажурирани во месец јули 2023 година.

## 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Професионален развој на образовниот кадар

Брзиот развој на технологијата наметнува голем број на промени во сите сфери од човековото живеење, вклучувајќи го и образованието. Имплементацијата на Концепцијата за основно образование доведе до голем број на промени во рализацијата на наставата, особено во

предметна настава. Со цел да се одржува чекор со сите промени, а во исто време за да се постигне квалитетна настава која ќе ги учи и обучува учениците за живот во 21 век потребно е наставникот постојано да се усовршува преку различни форми на неформално образование.
Професионалниот развој на воспитно–образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично напредување на наставникот, каде преку различни форми на доживотно учење наставникот се стекнува со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија. Преку континуиран професионален развој на наставникот се овозможува подобрување на квалитетот на реализација на наставата и оспособување на учениците за живот во 21от век.
Професионалното усовршување на наставниците во училиштето се остварува преку обуки за инпменетација на наставата согласно Концепцијата за основно образование, акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, соработка со други институции, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Притоа, професионалното усовршување во училиштето се остварува без да се наруши воспитно - образовниот процес во училиштето, за што грижа води директорот на училиштето, преку обезбедување на соодветна замена кога наставниците се отсутни од настава заради на различни форми на професионално усовршување.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Детектирањето на потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар се врши врз основа на Самоевалуацијата на училиштето, Развојниот план на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето, извептајот од интегралната евалуација, како и личните планови за професионален развој и спроведено анкетирање на наставниците во однос на потребата од професионалниот развој.
Анализата на извештаите од реализацијата на личните планови за професионален развој на образовниот кадар во учебната 2022/ 2023 година покажа дека најголем дел од образовниот кадар ги имаат реализирано потребните обуки за стекнување на одредени компетенции. Во текот на месец септември 2023 година ќе се изврши изготвување на личните планови за професионален развој на образовниот кадар и планирање на професионалниот развој на наставниците на ниво на стручни активи а потоа и планирање на професионалниот развој на ниво на училиште за учебната 2023/2024 година.

### 20.2. Активности за професионален развој

Наставниците учествуваат во разни форми на професионален развој преку посета на конференции, семинари, работилници, обуки и слично. Стекнатите искуства се пренесуваат со останатиот образовен кадар преку дисеминација во училиштето. Во рамките на стручните активи наставниците споделуваат предавања, искуства, идеи како и начини за подобрување на квалитетот на реализавија на наставата. Стручните соработници организираат состаноци и стручни предавања за зајакнување на компетенциите на наставниците.

Во учебната 2023/2024 година образовниот кадар ќе продолжи активно да ги следи сите обуки и семинари организирани и поддржани од БРО и МОН. Исто така врз основа на личните планови за професионален развој ќе бидат утврдени приоритетни обуки кои би требало да ги посети образовниот кадар и ќе се пристапи кон изнаоѓање на начини за учество на истите. И оваа учебна година како дел од континуираниот професионален развој на наставниците ќе биде спроведувањето на дисеминациите од разни обуки на кои учествувале само дел од наставниците од училиштето. Учеството на наставници од нашето училиште на разни конференции овозможува одржување на чекор со актуелните промени во воспитно-образовната работа.
Голем број од наставниците во нашето училиште самостојно професионално се усовршуваат преку посета на вебинари и онлајн обуки па размената на искуства и идеи меѓу наставниците ќе доведе до заеднички професионален развој на сите инволвирани во воспитно образовната работа во училиштето. Сите овие активности ќе бидат следени и заведени од страна на тимот за професионален развој.

### 20.3. Личен професионален развој

Образовниот кадар во училиштето изготвува личен план за професионален развој врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Во него вработените ги идентификуваат компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции.

Освен организираните форми на професионален развој на наставниците во училиштето, наставниците во училиштето самостојно континуирано професионално се усовршуваат преку различни форми на професионален развој. Притоа самостојно следат обуки, конференции и разботилници со теми од сопствен интерес и стекнатите знаења несебично ги споделуваат со останатите наставници во училиштето.

### 20.4. Хоризонтално учење

Стручните активи во училиштето изработуваат програми за работа во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови, планирање на воннаставни и вонучилишни активности, работилници според потребите на наставниците, презентации, решавање на одредени проблеми итн. Наставниците во рамките на стручните активи редовно организираат состаноци и соработуваат помеѓу себе, а многу често ова споделување на искуства се врши на ниво на училиште со сите наставници.
Во рамки на хоризонтално учење би требало да ја споменеме и соработката помеѓу одделенските наставници и наставниците кои предваат сродни предмети во предметна настава, како и соработката во реализација на воннаставните активности од страна на наставниците кои предаваат сродни предмети во предметна настава.

| Активност | Носители на активност | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Состаноци на активи по одделенија во одделенска настава | Наставници од одделенска настава | -Стручни материјали - Презентации | Извештаи од состаноци на стручни активи | Континуирано во текот на годината | Попродуктивна соработка помеѓу наставниците и подобрување на квалитетот на реализација на воспитно образовната работа |
Училишниот спортски клуб - „**Училишен спортски клуб КРУМ ТОШЕВ - 2015“**еформиранна30.04.2015годинаодговореннаставникеКристијан Ѓошевски-наставник по физичко и здравствено образование.На почетокот на учебната годинана учениците им се нуди да го изберат спортот во кој сакаат да се натпреваруваат. Клубот ќе биде во функција на селекција и подготовка на учениците за натпреварите.

Во училишниот спорт превземени се голем број на активности кои ќе се реализираатвоучебната2023/24година.Опфатенисеголембројнаученициод училиштетокоиќеимаатможностдасенатпреваруваткаконаучилишнитетака и на регионалните и градски натпреварувања. ООУ „Крум Тошев” активно учествувавоситепланиранинатпревариорганизираниодОпштинскиотсојузна училишен спорт на Гази Баба.

Цели на училишниот спорт за оваа учебна година се преку понудата на разновидни спортови,да се зголеми масовноста, активноста и вклученостана ученицитевоспортотпрекуучилишнитенатпреварувања.Целтаедасенасочат кон одреден спорт, социјализација и меѓуетничко почитување со учениците од други националности,фер – плеј однос, градење на натпреварувачки дух, формирање на цврста и здрава личност.
Ситеактивностиворамкитенаучилишниотспортсерализираатзадапостигнат конкретни и општи цели.

- **Конкретницеликоитребадасе постигнат**
  - *Дагиразвивапсихомоторнитедимензии,брзина,еластичностисл.;*
  - *Дасепотикнувадаизвадувавежбисоодредениделовиодтелото, екстремитети, врат;*
  - *Дасеусовршитехниканаодењеитрчање;*

- **Општицеликоитребадасе постигнат**
  - *Даусовршипоставувањеи движење;*
  - *Дасеоспособизатимскаработа;*
  - *Дагипочитуваправилатанаигра;*

Со цел утврдување на постигањата и реализирање на активностите планирани со програмата, директорот на училиштето формира тим за следење на реализацијата на активностите.

***Тимзаследењенареализацијатаиначинотна евалуација:***

1. Кристијан Ѓошевски -наставникпофизичкоиздравственообразовние
2. Филип Ацевски - наставникпоинформатика
3. БилјанаДимитриевска-одделенскинаставник
4. Елена Крстевска -одделенскинаставник

Планирани активностиинатпреварикоиќебидатпонуденинаученицитево учебната 2022/23 година

| Видна спорт | Време на реализација | Систем на натпреварување | Пол | Вид на натпревари | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|---|---|
| **Футсал** | Октомври Мај | Лига | Машки | Општински | Игор Китановски |
| **Кошарка** | Октомври Мај | Лига | Машки | Општински | Игор Китановски |
| **Футсал** | Февруари | Турнир | Женски | Општински | Игор Китановски |
| **Кошарка** | Март | Турнир | Женски | Општински | Игор Китановски |
| **Одбојка** | Февруари | Лига | Женски | Општински | Игор Китановски |
| **Одбојка** | Март | Турнир | Женски | Општински | Игор Китановски |
| **Пинг-Понг** | Април | Турнир | Машки и Женски | Општински | Игор Китановски |
| **Атлетика** | ОктомвриМај | Крос | Машки и Женски | Регионален | Игор Китановски |

Евалуацијанапостигањата:критериумизавреднувањенапостигањатасебројот научествананатпреварипонивоа(општински,регионални,државни)ибројотна освоени награди.

| Планирани активности | Цели | Форми на активноста | Време | Услови за работа | Очекување |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирањена училишен кошаркарски тим-машки | Совладувањенаосновни кошаркарски елементии применаво игра | Училишни тренинзи-после редовни училишни часови | Континуирано целаучебна година | Училишна спортска сала | Развојипопулацијана кошаркатаво училиштетои постигнувањенадобри резултати. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирањена училишен фудбалски тим-машки | Совладување наосновни фудбалски елементии применаво игра | Училишни тренинзи-после редовни училишни часови | Континуирано целаучебна година | Училишна спортска сала | Развоји популацијана фудбалотво училиштетои постигнување надобри резултати. |
| Формирањена училишен одбојкарски тим-женски | Совладување наосновни одбојкарски елементии применаво игра | Училишни тренинзи-после редовни училишни часови | Континуирано целаучебна година | Училишна спортска сала | Развоји популацијана одбојкатаво училиштетои постигнување надобри резултати. |
| Формирањена училишен ракометентим-машки,женски | Совладување наосновни ракометни елементии применаво игра | Училишни тренинзи-после редовни училишни часови | Континуирано целаучебна година | Училишна спортска сала | Развоји популацијана ракометенво училиштетои постигнување надобри резултати. |

**Следењето** се изведува индивидуално,групно и колективно во зависност од следенатапедагошкапојава. Севршипопатнасоодветниинструментиитехники (усно и писмено проверување, објективни тестови, писмени вежби, усни вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

### 9.2. Секции/клубови

Слободнитеученичкиактивностисереализираатсоеденчаснеделноиимаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањетонавикизаправилнокористењенаслободнотовреме.Секојученик по свој личен избор може да се одлучи да членува во една или најмногу во две секции.Вослободнитеученичкиактивностиможатдаучествуваатучениците кои имаатсклоностиииинтересибезогледнауспехотвонаставата.Личниотинтерес на ученикот има примарно значење при определувањето на видот на слободните активности.

Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Работата на секциитеќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде сеодреденисодржинитезаработаивременотозареализација.Знаењатадобиени одработатавосекциитеќебидатпрезентиранинаприредбитеипрославите,на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко, а воедно и со учество на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно-образовната дејност на училиштето,како и воспоставување на комуникација со другите училишта.

- **Задачитенаслободнитеученичкиактивностисе:**
  - *Дасепоттикнуваинегувадетскатаљубопитност,сознајните способности и креативноста на учениците;*
  - *Ученицитедасевоведуваатвозадачикоибараатпоголема самостојност во нивното извршување;*
  - *Дасенегувадоследностиистрајноствоизвршувањетона ученичките обврски;*
  - *Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време;*

- **Конкретницеликоитребадасе постигнат**
  - *Дасепотикнатученицитенапокреативноизразување;*
  - *Правилнокористењенадодатниматеријали;*
  - *Оспособувањезасамостојновреднувањеидоживувањена работите;*

- **Општицеликоитребадасе постигнат**
  - *Потикнувањенаученичкитезнаења;*
  - *Утврдувањенаученичкитезнаења;*
  - *Практичнапримененазнаењата,умеењатаинавиките;*
  - *Да се оспособат знаењата на учениците да не сведат на повторување на наставното градово туку проширување преку користење на екстра материја*

- **Слободнитеученичкиактивностисеподеленивогрупиитоа:**
  - *Слободни активности за проширување на знаењата по одделни предмети;*
  - *Клтурно-уметничкислободниактивности*
  - *Слободниспортскиактивности;*

Напочетокотнаучебна2023/24година наогласнататаблаивеб-страната на училиштето се објавува список на секциите што се предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Потоа преку наставниците, стручните соработниципсонепосредноучествонаученичкитетела,сеспроведуваанкета зазаинтересираностанаученицитезаподрачјата/темитезасекциитештобисе реализирале.Анкетатаенаменатазаученицитеизародителитекогасеработи заученициодI-IIIодделение.Анкетатаможедавклучувапонудаодкојатреба да се врши изборот, а самата понуда, освен воннаставните активности што ги нудатнаставниците,морадагиземепредвидинтереситенаученицитеизразени прекуученичкитетела.Поизвршенатаанализанаанкетите,ученицитеќебидат распоредени по соодветни секции.

Списокотнапријавенииодбраниученицисокоиќесереализираатсекциите ќе се знае во септември и истиот ќе биде доставен како анекс во Годишната програма за работа на училиштето.

Распоредотзапрограмизасекциипонаставнипредметиедаденво**Прилог22**

### 9.3. Акции

Акциите се краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во поширокатa околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството итн.) Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка, група ученици од една година/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција.

- ***Тимзаследењена акциите:***

1. ЗоранСоларов–претседателнаСоветнародители
2. Благица Тодевска – одделенски наставник
3. Елени Никодиновска – одделенски наставник
4. ГорданаСтојановска - одделенски наставник

## Планзаорганизирањена акции

| Ред бр. | Акција (содржина) | Целна акција | Одговорно лице | Вклучени паралелки | Средстваи материјали | Извори на средстваи материјал | Следење на акциите | Времена реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Донации на облека, средства за домакинство зазагрозени семејства – хуманитарна акција | Обезбедување напотребна облека , средства на загрозени смејства | Бојан Станковиќ | ОдIдо IX одделение | Пакети и кеси заскладирање на донациите, превоз, пункт | Локално население, Наставници ,Родители Ученици | Тим за следење на акциите | Октомври |
| **2.** | Собирање на храна за семејства-хуманитарна акција | Обезбедување напотребна храна за загрозените семејства; | Бојан Станковиќ | ОдIдо IX одделение | Пакетиикеси за пакување на храната,<br>Превозно средство<br>Простор за складирање | Локална самоуправа<br>Население<br>Ученици<br>Наставници<br>Родители | Тим за следење на акциите | Ноември |
| **3.** | Уредување научилишен двор-Еколошка акција | Подигањена еколошката свест на учениците;<br>Разубавување на училишниот двор; | Габриела Бурјаковска | ОдIдо IX одделение | Ракавици<br>Кеси за отпадоци<br>Работен материјал | Училиште<br>ученици | Тим за следење на акциите | Март |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Денотна шегата-хепенинг | Подобрување на меѓусебната комуникација и заедничко работењена учениците-тимска работа. | Гоце Петровски | ОдIдо IX одделение | Материјализа изработка на маски,картон, текстил,лепак ,простор за дефиле | Ученици<br>Наставници<br>Училиште | Тим за следење на акциите | Април |
| **5.** | Засади цвеќе-еколошка акција | Естетско уредувањена училишниот двор;<br>Запознавање соначинотна одгледување на растенија научениците; | Ирена К. Младеновска | ОдIдо IX одделение | Садницина сезонски цвеќиња,<br>Работен материјал,<br>ракавици | Училиште<br>Наставници<br>Родителии | Тим за следење на акциите | Април |
| **6.** | Здрава исхрана-Базар | Запознавање и прозводство наздрава храна;<br>Подготовка на специјалитет и од здрава храна;<br>Изработки од | Филип Ацевски | Од Iдо IXодделени е | Маси<br>Украсни фолии<br>Празни кутии<br>Производиод зелнчук и овошје | Училиште<br>Наставници<br>Ученици | Тим за следење на акциите | Мај |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | здравахрана; | | | | | | |
| **7.** | Празнични специјалитети на сите етникуми - базар | Запознавање со традиционална тахранана ситеетникуми застапени во училиштето | Биљана Димитриевска | ОдIдо IX одделение | Потребна храна,<br>Маси<br>Просторза складирањеи изожба,материјали за пакување | Родители<br>Наставници<br>Ученици<br>Училиште | Тим за следење на акциите | Мај |

По завршувањето на акцијата, од учениците-учесници треба да се бара повратна информација (анонимни прашалници) за успешноста во реализацијата на целите на акцијата и корисноста од нејзината реализација за нив самите. Одученицитеможедасебарамислењеизатоакакоможедасеподобрireализацијатанаакцијатавоиднина.Одговорните наставници во соработка со другите вклучени реализатори (наставници, родители, стручни соработници, претставници на невладини организации) го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот списокнаучесници.Заученицитекоиособеносеистакналевореализацијатанацелитенаакцијата,одговорниотнаставник подготвува посебна белешка со мислење кое описно се запишува во додатокот на свидетелството на ученикот.

## 10. Ученичкоорганизирањеиучество

Ученикот кој е во фокусот на воспитно-образовниот процес е личност со свои права, обврски, интереси, член на општествената заедницата со што има право на свои организации, чија цел е изградба на самосвесни демократични личности кои реално се вреднуваат себе си, другите со што се подготвуваат адекватно да го завземат своето место во општеството. Во ООУ "Крум Тошев", учениците учествуваат во целокупниот воспитно-образовен процес и се реализира ученичко организирање со цел учениците да се активни и рамноправни учесници во реализацијата на наставната програма како и во целокупниот воспитно-образовен процес.Учениците се организирани во ученичките тела: ученички заедници на ниво на паралелки, ученичка заедница на ниво на училиште, ученички парламент и ученички правобранител. Ученичкото организирање треба да им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и нивоа на одлучување, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со:

→наставата;
→воннаставните активности;
→односитемеѓуучениците;
→односитесо возрасните;
→физичкитеусловиво училиштето.

### Ученичказаедницананивонапаралелки

Според членот 68 од Законот за основно образование, сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница и учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварувањенаинтереситенаучениците воосновнотоучилиште,учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент, заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката. Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира претседател, заменик-претседател, постојани тела и повремени тела. Пожелно е секое дете да биде член барем на едно постојано тело во согласност со сопствените афинитети. Постојаните тела не мора да имаатоднапредопределенброј,нитупактематсканасоченост,самитеученици требадарешатколкупостојанителаќеимаат.Секојученикосвенпретседателот изаменик-претседателотназаедницатадоброволносеопределувавокоетело сака да биде член. Претседателот и заменик-претседателот на заедницата на паралелката ги запишуваат членовите во секое тело и списокот го чуваат во документацијата на заедницата. Претседателот на заедницата се избира со мандат од една учебна година. Еден ист претседател на заедницата на паралелкатаможедаимасамодвамандати:еденвоодделенсканаставаиеден во предметна настава. Претседателот на одделенсказаедница го избираат учениците кои ја чинат одделенската заедница на непосредни избори со тајно

гласање од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката.

- **Критериумизаизбор**

Критериумитезаизборнапретседателотизаменик-претседателоттребадаги изградат самите ученици, при што наставникот треба внимателно да ги насочува кон одредени вредности како:

- *Комуникативност;*
- *Почиткон другите (не прави разлика помеѓу учениците,еднакво постапува со сите, се залага за учениците);*
- *Почитоддругитеученици;*
- *Поведение;*
- *Пдговорност;*
- *Подготвеностдагизастапуваинтереситенадругитепред наставникот и пред другите наставници;*
- *Заинтересираност;*

Во заедницата на паралелката се избира претседател и заменик-претседател. Изборите за претседател на заедницата на паралелката се одржуваат во просторијата во којашто учениците го одржуваат одделенскиот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето (ќе биде додаден со анекс). На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик-претседател и на другите постојаниповременителаназаедницатаизаедносоучеництедајаформира листата на критериуми.

**Ученичказаедницанаучилиштето**

Ученичката заедница на ниво на училиште особено ќе се заложува за третирање на одделни актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. Ученичката заедница на училиштето ги опфаќа ученицитеодIдоIXодд.Секонституиранапочетокотнаучебнатагодинаоткако ќесеформираатпаралелките.Секојапаралелкаделегираедендодвачленаво училишната заедница од раководството - претседателството на ученичката заедница и тие го претставуваат раководството на ученичката заедница. Од редот на претседателството се бира потесно раководство кое го сочинуваат претседател, подпретседател и секретар. За вршење на одделни задачи претседателотбираповремениилипостојаникомисии,каконапримеркомисија за успех и дисциплина.
Училишната заедница ја следи, насочува и координира работата на ученичките заедници на паралелките. Својата активност ја остварува по однапред подготвена програма за работа. Работата на ученичката заедница на училиштето ја помага педагогот на училиштето.

Програматазаработанаученичкатазаедницаедаденво**Прилог17.**

ПрограмазаработанаДетскатаорганизацијаеденаво**Прилог17/а**

## Ученичкипарламент

Ученичкиотпарламентеобликнаорганизирањенаучениците тенанивона училиште, составено од претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат (со мнозинство гласови од тајно гласање) се избира претседател на ученичкиот парламент. Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември.Датумотнаодржувањенаконститутивнатаседницасеопределувасо годишниот план и програма за работа на училиштето (ќе се приложи со анекс). Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на заедниците на паралелките. Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот,освенвомесецитекогаучениците сенагодишенраспуст.Вомесеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките, седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателотнаученичкиотпарламентедолженведнаш,анајдоцнаворокод два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелкитеили директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниотбројнапретседателиназаедницитенапаралелките.Наседницитена ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог и други стручни соработници.

ЧленовинаученичкиотпарламентвоООУ„КрумТошев“ќесеизбератвомесец септември и приложат со анекс на Годишната програма за работа на училиштето.

Програматазаработанаученичкиотпарламентедаденаво**Прилог18.**

## Ученичкиправобранител

Членот 68, став 8 од Законот за основно образование, предвидува и воспоставување на ученички правобранител чија задача е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Својата функцијајаостварувавопартнерствосостручнатаслужба,прекупромовирање надетскитеправа(сопомошнаорганизирањеедукативниработилници,дебати, инфо-денови итн.) и преку давање поддршка за заштита на детскитеправа (со помош на регистрирање на прекршувањата на детските права и нивно проследување до стручната служба). Предвидено е ученичкиот правобранител да го избираат учениците од VII-IX одделение, со тајно гласање.За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, се препорачува освен ученички правобранител да се изберат и најмалку двајца негови заменици. Информациите за содржината на работилниците сеобезбедени од стручната служба во училиштето и тимот за поддршка, која треба да претставува партнер на ученичкиот правобранител.

- **Последователнитечекоризаселекцијанаученичкиотправобранител и неговите заменици:**

1. Директорот ги информира сите наставници во училиштето, при првата заедничка средба, за целиот процес на селекција и собирање за нивно активно вклучување и целосна поддршка.
2. Стручнатаслужбавоосновнотоучилиштеподготвуваотворенповикзаизбор на ученички правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб-страницата на училиштето.
3. Најдоцна една недела пред истекот на крајниот рок за пријавување, одделенските, односно раководителите на паралелките имаат задача да го промовираат и да им го објаснат повикот на своите ученици и да одговорат на сите нивни прашања. Ова подразбира потреба од претходна подготовка на сите одделенски, односно раководители на паралелкакоја ќе ја изведе стручната служба.
4. Вотекотнаотворениотповикзапријавувањесеформиракомисијазаизбор наученичкиправобранител,којасесостоиод:педагоги4лицаназначениод ученичкиотпарламент,бројотначленовинакомисијатаенепарен.Задачата на оваа комисија е да ги разгледа пријавите за ученик правобранител и да организира избори за ученички правобранител.
5. Комисијата за избор на ученички правобранител дефинира датум за избори и го објавува јавно на огласната табла на училиштето. На огласната табла заедно со информацијата за избори се наведуваат и пријавите на кандидатите за ученички правобранители и замениците на ученичките правобранители за да се запознаат учениците со нивните идеи и видувања. За потребите на изборите, комисијата ќе испечати ливчиња со имињата на кандидатитезаученичкиправобранителизаменици.Симулирајќивистински процес на избори, секој гласач ќе добие ливче, ќе го заокружи тајно и ќе го стави во кутијата за избори.
6. По завршување на гласањето, комисијата јавно ги пребројува гласовите. За избран ученички правобранител се смета оној што добил најмногу гласови од учениците што гласале од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение. Избраните правобранителипотпишуваатизјавазаодговорностприспроведувањетона сите активности во состав на нивниот мандат.

Програматазаработанаученичкиотправобранителедаденаво**Прилог19.**

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии,излетиинастававоприрода

- ***Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„Крум Тошев“ Скопје за учебната 2023/2024***

Врзоснованачлен42став2одЗаконотзаосновнообразование(Сл.весник на РСМ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основно образование под бр.12-13487/1 од 19.11.2019 год. донесен од Министерство за образованиеинаука,стручниоттимнаекскурзии,формирансоодлукаодстрана на Училишниот одбор на училиштето, изготви Програма за начинот на изведувањенаекскурзии,излетиидругивонучилишниактивностивоООУ„Крум Тошев“- Скопје.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности претставуваат форма на воспитно-образовна работа што ја организира училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно – образовни подрачја, наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели: општи и стручни знаења и ученички сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, применување вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина, културно -историски знаменитости, индустриски иземјоделски капацитети изапознавање со традицијатаиобичаитеворазличниделовиодРепубликаСеверна Македонија.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности ги реализираат целите преку:

- →истражувањенаобјектиипојавивоприродатакакоиодноситево општествениот живот;
- →посетаналокалитетииобјектиодкултурно,историскоидруго значење;
- →развивањеинтересзаприродатаиградењееколошки навики;
- →запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;
- →градење чувство за припадност на државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- →запознавање на ученицитесокултуратана различните етнички заедници штоживеатвонашатадржава,запременанамеѓуетничкаинтеграцијана образованието;
- →развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат надругите народи кои живеат во државата;
- →дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- →развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

Вотекотнаучебната2023/24годинаќебидаторганизирани:

| **Екскурзии/ Излети** | **Временаизведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенскиизлет | септември/октомври | Парк шума Гази Баба, Скопско кале,Дељадровце | I–IX одд. |
| Еднодневен пролетенизлет | мај | Матка,Сарај, Пантелејмон | I–IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | мај | Маврово | IIIодд. |
| Дводневна екскурзија | септември/октомврии ли мај (во зависност од интересотнаучениците и родителите) | ИсточнаМакедонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | септември/октомврии ли мај (во зависност од интересотнаучениците и родителите) | ЗападнаМакедонија | IX одд. |
| Настававо природа | април/мај (попосебноизготвена програма) | Охрид | V одд. |
| Набљудувања | вотекотнагодината | споредпрограмата | I–IX одд. |
| Посета на знаменитост и установи | вотекотнагодината | споредпрограмата | I–IX одд. |

**Забелешка*:**Временскатарамказаизведувањенаекскурзиитееориентациона и зависи од временските услови или други објективнипричини.

***Стручентимзаподготовканаа Програматазаекскурзии,излетиидруги вонучилишни активности:***

1. Александра Димитриевска - директор
2. Фанка Каралиева – одделенски наставник
3. Билјана Димитриевска – одделенски наставник
4. Бојан Станковиќ – наставник по музичко образование
5. Гоце Петровски – наставник по историја

Програматазавонучилишниактивностиедаденаво**Прилог25.**

## 12. Натпреваризаучениците

**Организираните натпревари** играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се воспоставува активен однос кон наставата се продлабочуваат и збогатуваат знаењата на ученикот а придонесуваат и да се развиванатпреварувачкиотдухидругарствотопомеѓуучениците.Организатори на натпреварите се наставниците, стручните активи нанаставниците, општината и др.

Натпреваритевокоиучествозаземаатучениците можатдабидат:

- ***Натпреварите во знаења***по наставни предмети ќе се одржат во месецитефевруариимартвосекојапаралелкаинанивона одделенија. Најдобрите поединци ќе го претставуваат училиштето на општинскитенатпревари,
- ***Натпреварите по вештини***ќе се одржат при крај научебната година на нивона одделенијаиучилиште во организација нараководителите на секциите,анајдобритеќеучествуваатнарегионалниидржавнинатпревари.

Училиштетоќеучествувананатпреваритеорганизираниодстранана општината, градот, МОН и Р.С.Македонија кои што имаат решение од МОН.
***Спортскитенатпревари***ќесеодржуваатвотекотнацелатаучебнагодина вопоединечнаиекипнаконкуренција,вомалфудбал,кошарка,одбојка и ракометворганизацијананаставникотпофизичкообразованиенаопштинско и градскониво. Училиштето ќе учествувана спортските натпревари и по повод патроните празници на училштата кои што ќе не поканат.

Програматазареализацијанаученичкинатпревариедаденаво**Прилог26.**

## 13. Унапредувањенамултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничкатаинтеграција

Активностите кои се во насока на промоција на меѓуетничка интеграција во образованието обезбедуваат можности за непосредна интеракција на учениците со различен културен идентитет. Овој вид активности овозможуваат младите да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различноститеученицитевсушностсезближуваат,дејствуваатиживеатзаедно.
Сето ова резултира со унапредување на меѓусебните односи и развивање на соработкаизаедништво.Овиеактивностипридонесуваатизаинтензивирањена неформалнатакомуникацијамеѓуучениците надвородучилиштето,штобибила повисока цел меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост.

За реализација на активностите кои се однесуваат на меѓуетничката интеграција на образованието во ООУ Крум Тошев од страна на директорот формиран е тим за училишна интеграција - СИТ кој е одговорен за реализација и спроведување на планираните активности.

Членовинатимзаучилишна интеграција:

1. Љубиша Цветковски-претседателнаученичкипарламент
2. АндрејПетровиќ-претседателнаученичкиправобранител
3. ГоцеПетровски–предметен наставник
4. МакедонкаНастевски–предметен наставник
5. Билјана Димитриевска–одделенскинаставник

Планот и програмата за реализација меѓуетничката интеграција во образованието е дадена во **Прилог 27.**

## 14. Проектиштосереализираатвоосновнотоучилиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи со кои преку реализирање на проекти придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата. Проекти кои се реализираат во училиштето:

- „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“
- Образование за животни вештини;
- Интеграција на еколошката програма во образовниот систем Еко-училиште;
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем;
- Активна настава-интерактивно учење;
- Немаме резервна планета;
- Инклузија на деца со посебни потреби;
- Правата на децата;
- Ученичка организација (клуб) на црвениот крст;

- Стандарди за оценување;
- Превенција од насилство во училиштата;
- Селектирање на отпадот во соработка со Пакомак;
- Отворени фудбалски училишта
- Денови на меѓуетничка интеграција: ГРАДИМЕ ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА;
- Заживување на францускиот јазик во основните училишта
- Еразмус + - К1 и К2;

Проектиштосереализираатвоосновнотоучилиште–**Прилог28**

## 15. Поддршканаучениците

### 15.1. Постигнувањена учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставнипредметизаситеквалификациониперіоди.Одстрананапедагоготсе прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Училиштето континуирано ги следи постигањатанаучениците,правианализаиспоредбанауспехотиповедението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години и сл. Постигнувањата на учениците во 2022/23 год. по наставни предмети се дадени во следната табела:

## *ПРОСЕЧЕНУСПЕХПООДДЕЛЕНИЈА,ПОПРЕДМЕТИИПРОСЕЧЕНУСПЕХНАНИВОНАУЧИЛИШТЕВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА*

| Одд. | Број на ученици | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Вкупносо позитивни | | Со1 слаба | | Со2 слаби | | Со3и повеќе | | ПросекПаралелка1 | ПросекПаралелка2 | Вкупен просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | | | |
| **I** | 42 | 25 | ***ОПИСНООЦЕНЕТИ108 УЧЕНИКА*** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **II** | 31 | 13 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III** | 35 | 16 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | 36 | 14 | 32 | *91,42* | 2 | *5,71* | *1* | *2,85* | */* | */* | 36 | *100* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | 4,88 | 4,70 | 4,79 |
| **V** | 32 | 15 | 15 | *46,87* | 5 | *15,62* | 11 | *34,37* | 1 | *3,12* | 32 | *100* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | 4,30 | 3,79 | 4,04 |
| **I-V** | **176** | **83** | **47** | *26,85* | **7** | *4,00* | **12** | *6,85* | **1** | *0,57* | **68** | *100* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | **4,41** | | |
| **VI** | 41 | 17 | 14 | *34,14* | 13 | *31,70* | 10 | *24,39* | 3 | *7,31* | 40 | *97,56* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | 3,77 | 3,89 | 3,83 |
| **VII** | 35 | 15 | 20 | *57,14* | 6 | *17,14* | 5 | *14,28* | 3 | *8,57* | 34 | *97,14* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | 4,36 | 4,09 | 4,22 |
| **VIII** | 40 | 24 | 24 | *60,00* | 10 | *25,00* | 3 | *7,50* | 3 | *7,50* | 40 | *100* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | 4,38 | 4,18 | 4,28 |
| **IX** | 28 | 12 | 15 | *53,57* | 6 | *21,42* | 5 | *17,85* | 2 | *7,14* | 28 | *100* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | 3,81 | 4,29 | 4,05 |
| **VI-IX** | **144** | **67** | **73** | *50,69* | **35** | *24,30* | **23** | *15,97* | **11** | *7,63* | **142** | *98,61* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | **4,09** | | |
| **IV-IX** | **211** | **97** | **120** | *56,87* | **42** | *19,90* | **35** | *16,58* | **13** | *6,16* | **210** | *99,05* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | | | |
| **I-IX** | **320** | **151** | **120** | *37,61* | **42** | *13,16* | **35** | *10,97* | **13** | *4,07* | **318** | *99,37* | */* | */* | */* | */* | */* | */* | **4,20** | | |

| Учебнагодина | *2022/23* | *2021/22* | *2020/21* | *2019/20* |
|---|---|---|---|---|
| Просек | 4,20 | 4,02 | 4,08 | 4,02 |

**Планзапостигнувањенаученицитево2023/24год.**

- ***Стратешкиразвојни цели:***
  - Реализацијанадодатнитеидополнителнитеактивности;
  - Реализацијананаставнитесодржини;
  - Работасодецасопосебнипотреби;
  - Унапредувањенаинформираностанаучениците,родителитеи наставниците.

За успешно реализирање на горе наведените стратешки и развојни цели се одредија и конкретни цели и задачи во кои се опфатени активностите што ќе се реализираат, времето на реализација, ресурсите и индикаторите.

- ***Активности-процедуразаидентификацијаиподдршкаинаученицитесо потешкотии во учењето***
  - Во почетокот на учебната година воучилиштето се формиратим заподдршканаученицитесопотешкотиивоучењетокојизготвува програма за идентификација и поддршка на истите;
  - Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за ученицитеодпрвоодделениеинајкраткотримесецизаучениците од останатите одделенија);
  - Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, какои подрачјата на потешкотии кај ученикот;
  - Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;
  - Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехотна учениците со потешкотии во учењето;
  - Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;
  - Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);
  - Соработканатимотзаподдршкасорелевантниинституции(Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување наемоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Редовнатанастававоконтинуитетсеунапредувасоновипроекти, техники и методи на работа.Училиштето посветува особено внимание напромовирањатанапостигнувањатанаучениците,какопрекуредовната настава,такаипрекувоннаставнитеактивности.Прекувебстранатана

училиштето,какоипрекусоработкасомедиумите,културниустановии

институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи,спортскинатпревари,квизови,музичкинастапиисл,училиштетоне самоштогипромовираличнитепостигањанаучениците,тукуипостигањатана училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.Во рамките на учествотона литературни читања особено се истакнуваат средбите со писателина Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и настани.Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори.На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигналеилиосвоилевисокирзултатинаорганизиранинатпревариназнаења илинанатпревариодвоннаставниактивностиинивнитенаставниципенторисе наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

Тимзаподдршканаученицитеизаевалуацијана работата:

1.Александра Димитриевска –директор
2.ФанкаКаралиева–наставникпо одд.настава
3.Ирена Камчева Младеновска –наставникпопред.настава
4.СузанаТрајковска-наставникпо одд.настава

### *Процедуразанаградување учениците*

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградувањеипофалувањенаученицитевоучилиштетосеспроведуваследата *процедура за наградување ученици:*

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;
- -ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успехво слободните ученички активности(натпревари,ликовни,литературниидругинаградниконкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонесво разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);
- -предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;
- -научениkотмуседоделувапофалбавовиднадипломаилипофалница;
- -ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);
- -пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;
- -за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација.

- ☞ училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редотна учениците од деветто одделение.

## 15.2. Професионалнаориентацијанаучениците

Училиштетопланираипревземаконкретниактивностизапрофесионална ориентација на учениците.Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата,дасеинформираатзаусловитеикритериумитезаписвосредно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професи, струки и занимања,соцелдасепоттикнуваатзаизборнаиднатапрофесија.Истотака се организираат и посети накариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжувањенанивнотообразованиепрекукојасезапознаваатсоинтересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интресизаправиленизборнаструкиизанимања,добивањенаинформацииза изготвувањенаCV,мотивационописмоипланзаразвојнакариеразаучениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците.Се организираатипрезентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Тимзапрофесионалнаориентацијанаучениците:

1.Александра Димитриевска– директор
2.ЕленаГеговска-психолог
3.АлександраЦветковска–педагог
4.ВишнаСтерјо- библиотекар

## 15.3. Промоцијанадобросостојбанаучениците,заштитаоднасилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

- **Превентивнипрограми**

Со цел сузбивање на насилно однесување во нашата установа донесуваме програма мерки за зголемување на сигурноста во училиште под име “Афирмација на позитивни вредности против насилство” чија цел е:

- ☞ Афирмацијанапозитивнивредности;
- ☞ Соочувањесопостоењенапроблемотнесигурности насилство;

- ☞ Развивање на самопочитување, самоконтрола и комуникациски вештини кај учениците и помош на учениците во животните определби;
- ☞ Позитивно усмерување на користење на слободното време на учениците;
- ☞ Учествоворазниспортски активности;

Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установипреку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и ученицитекоиманифестираатнасилнооднесувањекакоисонивнитеродители, соцелнадминувањенаваквитепојави.Восоработкасорелевантниинституции вопоблискатаипошироката околинасеспроведуваатактивностивоучилиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство.

## Планзапостапувањевослучајнанасилствопомеѓудецатаи други кризни ситуации

Освен програмата за афирмација на позитивни вредности против насилство, како превентивна програма за спречување на насилство меѓу учениците, вработените во училиштето должни се да реагираат во случај на насилство меѓу децата, и други кризни ситуации на следниов начин:

1. Раздвојување на учениците кај кои се јавила конфликтна ситуацијаи смирување на истата.
2. Краток индивидуален разговор со скараните ученици, договор за заеднички разговор со родителите по наставата истиот ден (класен,предметни наставници).
3. Повикувањенародителитена разговор.
4. Заедничкиразговорнаучениците,родителите,класниот,педагоготидоговор за активности за превентивно делување (спречување на лошото однесување).
5. Вослучајданеможедасесовладаситуацијатадасеповика полиција.
6. АкоимапотебадасеповикаиЦентаротзасоцијалнаработа.

## Училишнапревентивнапрограма

**Цели:**

1. Дасенамалиинтересотнамладитезаагресивноиризично однесување.
2. Да се опфатат учениците со проблеми во однесување на релација ученик-ученик,ученик-наставник,ученик-родител,децасосоцијалнипроблеми,децасо проблеми во учење како и надарени и креативни ученици.
3. Афирмација на родителството – помош на родителите во секојдневните проблеми со децата помош во зацврстување на позитивни ставови, позитивна комуникација со децата.
4. Работа на наставниците на себе – секој наставник постојано да го истражува квалитетот на својата работа.

**Основниелементина програмата:**
- Работа со родители – на односот кон своите деца семејните односи, родителствувањето, слободното време на децата, интересот кај децата.

**Работасо учениците:**
- ☞ Да се развива свеста и потребата за здрав и квалитетн живот во здрава околина преку отворени и пријателски односи и комуникација ученик – наставник.
- ☞ На секој ученик да му се овозможи да доживува успех (ова ја зајакнува самодовербата кај ученикот).
- ☞ Ученикотнесмеедасеплашинитисрамиодсвојот наставник.
- ☞ Помош на децата со проблематично однесување преку креативни работилници.
- ☞ Работилницинапрекупрограматазаживотнивештини.
- ☞ Отворен час за ученици и родители од страна на стручна служба и наставници.

***Безбедноство училиштето***

Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа:
- ☞ Проценканазагрозеностодприроднинепогодиидругинесреќи,
- ☞ Планзазаштитаиспасувањеодприроднинепогодиидруги несреќи,
- ☞ Елаборатзазаштитаодпожари,експлозииопасни материи,
- ☞ Правилникзазаштитаодпожари,експлозииопасни материи.

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста)иактивностизаотстранувањенапоследиците(поопасноста).Затаа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа),тим за против пожарна заштита и одржување,тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација. Училиштето планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди.

***Тимзаработасоранливагрупана ученици:***
1. ЕленаГеговска– психолог
2. МаријаБошковска–специјален едукатор и рехабилитатор
3. Билјана Димитриевска–одделенскинаставник
4. Елени Никодиновска–одделенски наставник

Програмата за работа со ранлива група на ученици е дадена во **Прилог31.**

Програмазаантикорупцискаедукацијанаученицитеедаденаво**Прилог31/а**

Програма за работа на подмладокот на Црвен крст **Прилог31/б**

# 16. Оценување

## 16.1. Видовиоценувањеикалендарна оценувањето

| Паралелки | Виднаоценувањеикалендарнаоценување |
|---|---|
| **I-III** | Описнопрекуцела година |
| **IV -VI** | Комбинирано(тромесечиеиполугодие–описно;на крај година – бројчано) |
| **VII –IX** | Бројчанопрекуцелагодина |

На почетокот на учебната година се прави план записменото оценување од страна на секој наставник (во дневникот на паралелката) имајќи ги предвид законскитеограничувања(дневнонајмногупоедна,аседмичноподвеписмени работи). Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставничкиот совет на училиштето има усвоено кодекс на оценување и училишни критериуми и стандарди за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Постигнувањата на ученицитесеоценуваатописноибројчано.ОценувањетоодIдоIIIодделениее описно, а од IV до VI одделение описно (во прво, трето тримесечие и на полугодие)ибројчано(крајнанаставнатагодина)исамоброjчаносеоценуваат ученицитеодVII,VIIIиIXодделение.Наставницитевосвоитепланирањаимаат испланирано дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Тие користат различни методи и форми за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците за формативно оценување (дискусија за време на часот, усна повратна информација, пишана повратна информација, сложеност на прашања, самооценување и оценување од страна на учениците, проекти, портфолио). Оценувањето е вградено во секој дел од секој час, и при тоа се применува критериумско сумативно оценување според усвоените критериуми на ниво на училиште (објективни тестови, есејски прашања, усни одговори,уснипрезентации,демонстрации,изведбиидр.)Наставницитеимаат изработено критериуми, стандарди на оценување на ниво на наставен предмет итеми,користатинструментизаоценување.Сонивучениците се запознаваати самите се креатори, на почетокот на реализација на наставната тема, во текот на часовите истите се истакнуваат на видно место во училниците, ги имаат во портфолиото на паралелката. Во своите дневни планирања наставниците издвојуваат сегменти од часот со цел учениците самостојно да изработат инструменти за оценување и учениците се поттикнуваат на самооценување и соученичко самоооценување.

- **Опис на активностите:**
  - Секојнаставникќегиимплементирастандардитевооценувањетово својата програма и истите ќе ги применува цела година;

- ☞ Секој наставник во секој класификационен период ќе поднесува на увид докази (инструменти) кои ги користел при оценувањето;
- ☞ Секојнаставникќегопланираформативното(секојдневноводневна подготовка и сумативното (на полугодие и на крај година) оценување;

***Членовинакомисијазаповторнапроверканазнаењетонаучениците:***

1. ИренаКамчеваМладеновска-предметеннаставник
2. КаролинаДимовска-предметеннаставник
3. ГоцеПетровски-предметеннаставник

***Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит запобрзо напредување:***

1. ФилипАцевски-предметеннаставник
2. БлагицаТодевска-одделенскинаставник
3. АнетаСерафимоваНиколовска-предметеннаставник

**16.2. Тимзаследење,анализаи поддршка**

Училиштето има формирано тим во чиј состав влегуваат директор стручната служба, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија. Овој тим ги следи сите планирани активности во училиштето. Се следи и се врши проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, се утврдува процентот на поплаки и жалби по добиените оценки, се утврдува начинот на информирање на родителите и др. планирани активности. ТимотизготвуваплаННаследењезасекојпериодинаставенпредмет.Накрајот се прави една конечна анализа на состојбата, за да се процени дали предвиденото е реализирано за да се превземаат потребните чекори.Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката континуирано во текот на учебната годинаго известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Истите се ги известуваат родителите односно старателите за успехот на ученикот најмалку двапативосекоеполугодиеодноснонародителскисостанокнајдоцнатридена позавршувањенаодделенскитесоветизаутврдувањенауспехиповедениена учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

***Членови на тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди:***

1. Александра Димитриевска- директор
2. ЕленаГеговска– психолог
3. ЈулијаНиковскаПешевска–наставникпопред.настава
4. БојанСтанковиќ-наставникпо пред.настава

**Процедуразапоплакиижалбиподобиени оцени**

- Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката народителите,односностарателите,гисоопштуванародителскасредбакојасе одржуватри работни денаподенот наодржувањетонанаставничкиотсовет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
- Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишната оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговордонаставничкиотсоветнаучилиштето,којтребадабидеобразложен.
училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување да се подобрат условите за престој во истата. Во училиштето постои лиценцирано лице за јавни набавки – Јовица Николовски кое ги води јавните набавки, а за секоја јавна набавка ќе се формираат комисии. Училишниот одбор месечно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето и редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие подобрување на квалитетот за потрошените финансиски средства. Сметководителот изработува финансов годишен план за сметките со кои работи училиштето. Покрај ова, сметководителот ќе изработува месечен план, тромесечен план и извештај за потрошените средства во текот на секој месец, директорот на училиштето ги разгледува и потпишува и истите се праќаат во општината. Сметководителот заедно со директорот и лиценцираното лице за јавни набавки на училиштето изработуваат план за јавни набавки каде се води сметка за домаќинското работење со финансиите при тоа имајќи ги во предвид, потребите на вработените, подобрувањето на инфраструктурата, како и материјалните и хигиенските услови во училиштето. Овој план, како и секоја негова промена во согласност со Правилникот за јавни набавки, ќе се разгледуваат и усвојуваат на училишен одбор. Училишниот одбор е запознаен со сите финансиски активности во училиштето. Советот на родители преку своите претставници - членови на училишен одбор ќе се информираат за планот и реализацијата на јавните набавки што се спроведуваат во училиштето и учествуваат со свои претставници во јавните набавки што се поврзани со учениците.

Врз основа на горенаведеното во учебната 2023/24 година планирано е да се набавуваат средства за хигиена, да се врши набавка на средства за поправки и тековно одржување, средства за редовна набавка на нагледни средства и помагала, осигурување, превоз и електрична енергија (како групни набавки на ниво на општина Гази Баба), како и набавки за градежни работи дадени од Годишната програма за работа на училиштето. Сите овие набавки ќе се спроведуваат исклучиво почитувајќи го Законот за јавни набавки.

Во планот на расходи исто така се предвидени средства за задолжителен годишен санитарен. Исто така предвидени се средства за канцелариски материјали, АОП материјали, материјали за разни поправки, како и комунални трошоци.
Училиштето во својот план предвидува средства за семинари и конференции и обуки, вонучилишни образовни активности се со цел унапредување на воспитно-образовниот процес и поголеми постигања во знаењето и напредокот на учениците.

Исто така училиштето располага и со самофинасирачка сметка. Самофинансирачката сметка главно се финансира од издавање на училишен простор. Средствата од оваа сметка се користат за потребите на училиштето.

Исто така училиштето располага и со донаторски сметки. Донаторските сметки се користат исклучиво наменски согласно проектите за кои се наменети.

По посета на инспектори од оделението за финансии при Општина „Гази Баба” утврдено е дека училиштето работи коректно и посветено според важечките прописи за финансиско работење на буџетските институции.
Нашето училиште останува и понатаму да се залага за совесно и прописно работење во полза на учениците, локалната заедница и вработените.

## 5. Мисија и визија

***Визија на училиштето***

**„**Обезбедување на квалитетна и современа настава, како и позитивна, стимулативна и безбедна средина во која секој ученик и наставник ќе биде мотивиран и ќе има еднаква можност за непречен развој и надоградба.”

***Мисија на училиштето***

,,Училиште со пријатна и здрава средина во која учениците непречено со голема желба и интерес ќе следат квалитетна и ефективна настава која нуди поддршка во индивидуалниот развој и формира морални личности со трајни и применливи знаења и вештини кои постојано ќе се надградуваат, развиена еколошка свест, меѓуетничка толеранција, почит кон другите и меѓусебна соработка.”

## 6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено/стекнати искуства

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците. За успешно постигнување на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од следниве релевантни извори: Анализи и заклучоци од извештајот од спроведенета Самоевалуација за работа на училиштето (2019/2020 и 2020/2021); Развојна програма на училиштето за 2021-2025 година; Извештајот од интегралната евалуација на училиштето (октомври 2019);Одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители; Ученички иницијативи, Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет,Одделенски совет, Стручни активи; Извештаи од реализација на наставните планови и програми; Стекнати знаења и компетенции од посетени обуки, семинари и работилници; Правилници за работа и етички кодекси за сите целни групи; Критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците; Примена на ИКТ вонаставата и воннаставните активности; Реализација на воннаставни активности, секции, проекти и слободни ученички активности преку:програма за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем, проекти за меѓуетничка интеграција во образованието, проекти од Еразмус.

Од досегашната работа на сите структури во училиштето (наставен и раководен кадар, родители и ученици) успешно се релизираат предвидените активности со програмските документи на училиштето.

Искуствата ни говорат дека како основни услови за успешно работење и остварување на квалитетна воспитно-образовна дејност во училиштето се: добра анализа и дијагностика, добро планирање, навременост во реализација, обезбедени услови и материјали, споделени и детерминирани одговорности, транспарентност и соработка, следење и мониторинг, позитивна клима, документирање и афирмирање на постигањата.

Воспоставениот систем на работа ќе продолжи со истиот интензитет како и досега вклучувајќи ги веќе стекнатите искуства.

Ова особено се потврди кога поради сите кризни состојби во општеството изминативе години(Ковид 19, енергетска криза, социо-емоционална криза, евакуации по најави за експлозивни направи и сл). Добрата организација, тимската работа и професионалноста на наставниците ни овозможи во тој период воспитно-образовниот процес успешно да го реализираме и да ја одржиме во добра состојба психо-социјалната клима, притоа се користеа различни интерактивни методи и приоди, како многу апликации со цел на учениците да им се олесни процесот на учење и совладување на наставните содржини. Наставниците разменуваа искуства, следеа обуки и вебинари преку кои покрај подобрување на методичките способности кај наставниците, кај сите чинители на образовно воспитниот процес резултираа зголемени компетенции кои се неопходни за реализација на современо образование како и современ начин на функционирање.

Позитивен ефект во планирањето и реализирањето на наставата придонесува претходно пропишаната и утврдена процедура за поддршка и следење на планирањето и реализирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници и процедурата за примена на стекнатите знаења од обуки во наставата, како и примената на досегашната практика за размена на искуства во рамките на стручните активи. Во успешното остварување на предвидените активности голем придонес дава успешната соработка со родителите и училишниот одбор. Важна улога во следењето на предвидените активности и нивно реализирање има формираното координативно тело составено од наставниот кадар и стручната служба.

Воспоставениот систем на работа ќе продолжи со истиот интензитет како и досега вклучувајќи дополнителни активности преку примена на современи методи и техники на работа - примена на интерактивни табли, поголема имплементација на икт програмата, учество во проекти прку кои ќе се развива еколошката свест кај учениците, со имплементирање на ЕКО- проектот, МИО проекти и интеркултурни размени и искуства, унапредување на социо емоционалниот развој на учениците, унапредување на условите за инклузивноста во образованието, унапредување на работата на училишната библиотека и медијатека, медиумска покриеност на активностите во училиштето со акцент на критичкото мислење како моќна алатка која ќе помогне во решавање на училишните задачи но и животните предизвици. Нашите стратегии ќе се одвиваат во насока на развивање вештини кои се неопходни за децата да станат одговорни

членови на заедницата. Ова искуство ќе ни овозможи брзо и успешно да се приспособуваме и да функционираме во новите околности во иднина.

На крајот на учебната 2022/23 година имаме високи постигања на учениците во:

- наставата и многубројните воннаставните активности;
- Примерно поведение на учениците
- Почитување на правата на децата
- Слободни ученички и воннаставни активности, застапени според интересите на учениците
- Севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените и здрава животна средина
- Училиштето поддржува политика за штедење на топлинска и електрична енергија
- Негување на мултикултурализмот
- учество и голем број на освоени награди на натпревари, конкурси, турнири; учества во квизотеки
- активно учество во училишно радио
- час за кодирање- Hour of code
- учество во проекти ( ПМИО проект, Еко проект, Здрава храна, проект за развивање на социо - емоционални вештини, проект Биди ИН, Биди Инклузивен, etwinning проекти, Еразмус проекти- Maths & Sports4all; Learn GREEN – Outdoor STEM, Инклузија на ученици со ПОП, )
- Проект„Ненасилно однесување во училиштето“
- Проект„Антикорупциска едукација на учениците“
- Проект „Заедничка грижа и правилно насочување на учениците“
- Проект„ Отворено граѓанско образование“
- Проект „Инклузија на ученици со ПОП
- Проект МИО„Градиме нови мостови“ ОБСЕ
- Проект “Здрава храна и добри навики за среќни деца” општина Гази Баба
- соработка со Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичка култура спорт и здравје преку учество во проекти
- стипендисти од проектот,,Редовно на часови“
- стипендисти од проектот Инклузија на деца со посебни потреби
- едукација –финансиска едукација, Народна банка на Р.Македонија, ,,Безбедни во сообраќајот“ – Грижа за здравјето на нашите деца, кучето најдобар пријател, здрава храна, справување со стрес и насилство, отпад
- активна соработка со родителите
- афирмирање на постигањата на учениците (јавни настапи, манифестации, интернет страна на училиштето, телевизија).

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

| **Приоритетно подрачје на промени** | |
|---|---|

**Цели**

Подрачјата на промени произлегуваат од приоритетите и целите во Развојното планирање на училиштето, а тоа се:

- Едуцирање (обука) на наставниците- наставникот да знае принципи и стратегии кои кај учениците поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми; да користи разновидни стратегии на поучување кои активно го ангажираат детето во развивањето знаења, вештини и способности;
- Подобрување на условите за учење
- Подобрување на грижата за здравјето на учениците
- Афирмирање на постигањата

**Очекувани исходи**

Очекувани исходи од **едуцирање односно обука на наставниците** е оспособување на наставниците за примена на современи технологии и методи за реализација на наставата согласно новата концепција на образование за креативна и квалитетна настава; за изготвање на квалитетни програми за реализација на воннаставните активности како и за изработка на проекти, апликации и планови; тимска работа и високо ниво на професионална етика

Очекувани исходи на четвртиот приоритет **подобрување на условите за учење** е доопремување на кабинетите со наставни нагледни средства согласно стандардите како и асистивна технологија, компјутерска опрема и збогатување на книжниот библиотечен фонд, училишен инвентар, атлетски патеки и игралишта.

Очекувани исходи на вториот приоритет **подобрување на грижата за здравјето на учениците** е подобрување на инфраструктурата на училиштето, термоизолација, хортикултурно уреден и пошумен на училишниот двор; функционални игралишта, зголемување на безбедноста и функционалноста на движење во училиштето и училишниот двор, проект и изградба на еливатор (лифт) за училишната зграда; подигање на степенот на свеста за превенција од заразни болести, вируси, здрава исхрана, болестите на зависност и подигнување на степенот на лична и општа хигиена.

Очекувани исходи на третиот приоритет е обезбедување услови за **афирмација на постигањата** обезбеден на простор за работа на ученичката заедница, веб страна на ученичката заедница и нејзино вмрежување и услови за афирмирање на постигањата и воннаставните активности, воспоставен систем за евиденција за учество на учениците, следење и постигања, креирани катчиња, муреали за важноста на образованието и писменоста

**Задачи (**краткорочни цели, ги прикажуваат промените до кои се доаѓа во пократок временски период)

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активно стите | Временска рамка за имплемент ација | Ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| **Едуцирање односно обука на наставниците**<br><br>Идентификација на посетени семинари за едукација на наставниците за примена на современи технологии, методи, форми и стратегии за креативна и квалитетна настава согласно новата концепција на образованието и инклузија<br>Избор на наставници кои имаат интерес од едуцирање за примена на современи технологии, форми и методи за креативна и квалитетна настава; за изготвање на квалитетни програми за реализација на воннаставните активности; за изработка на проекти, апликации и планови, разрешување конфликти, инклузија на деца со посебни потреби | Примена на активности со кои кај ученикот предизвикуваат критичко мислење, анализа и решавање проблем<br>-Подобра и поквалитетна реализација на наставната програма<br>- Примена на наставни форми,<br>техники и стратегии за стекнување трајни знаења кај ученикот<br>Квалитетни и современи програми за воннаставни активности<br>Успешни апликации и проекти<br>Зголемена тимска работа и високо ниво на прфесионална етика | Наставнички совет<br><br>Формирани тимови и комисии | Во текот на целата учебна година | Човечки ресурси – формирање на тим (Наставнички совет).<br>Увид во состојбата (директор, Училишен одбор)<br><br>Финансиските и материјалните трошоци ќе бидат во зависност од потрената | Директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - едуцирање за тимска работа и професионална етика<br>Реализација на семинари и примена | | | | | |
| **Подобрување на условите за учење**<br><br>Набавка на нови нагледни средства, асистивна технологија<br><br>Набавен нов инвентар и училишен мебел<br><br>Набавка на ИКТ опрема, принтери и инсталација<br><br>Набавка на нов книжен фонд во библиотека<br><br>Реконструирање на мултифункционалните спортски терени и изградба на нови отворени спортски терени(атлетика)<br>Уредување на надворешен простор наменет за настава во природа и рекреација | Подобрен капацитет во училиштето за современа реализација на наставните планови и програми<br>Задоволни наставници и ученици.<br>Целосно опременост со потребниот инвентар за ефикасна и практична работа.<br>Зголемен книжен фонд<br>Реконструирани и функционални игралишта<br>Атлетски патеки<br>Уреден надворешен простор за настава и рекреација | Директор,<br><br>Комисија за јавни набавки,<br><br>Наставнички совет<br><br>Формирани тимови и комисии,<br><br>Училишен одбор | Во текот на целата учебна година | Човечки ресурси – формирање на тим (Наставнички совет).<br>Увид во состојбата (директор, Училишен одбор)<br>Финансиските и материјалните трошоци ќе бидат во зависност од потрената | Директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители |
| **Подобрување на грижата за здравјето на учениците** | Санирана Спортска сала<br>-подобрена грижа за здравјето на учениците. | Директор,<br><br>Комисија за јавни набавки, | Во текот на целата учебна година | Човечки ресурси – Комисија за јавни набавки | Директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изведба на термоенергетска фасада и кров на училишна зграда<br>Хортикултурно уредување и пошумување на училишниот двор.<br>Молерофарбарски работи и санација на спортската сала “Методија Андонов-Ченто„<br><br>Проект и изградба на еливатор(лифт)<br><br>Поставување на заштитни решетки<br><br>Поставување на дел од ограда во училишен двор | Училишниот двор и училиштето е пријатно место за престој и се подобрени хигиенските услови за подобро здравје за учениците<br>Проект за еливатор<br>Децата со попреченост безбедно и слободно ќе ги користат сите простории и кабинети<br>Подобри услови за безбедност на учениците<br>Безбедно и заштитено училиште од кражби и надворешна околина | Наставнички совет<br><br>Формирани тимови и комисии,<br><br>Училишен одбор | | (Наставнички совет).<br>Увид во состојбата (директор, Училишен одбор)<br><br>Финансиските и материјалните трошоци ќе бидат во зависност од потребата | наставници, ученици, совет на родители |
| **<u>Афирмација на постигањата на учениците</u>**<br>- Уредување на просторија за работата на ученичката заедница<br>- Креирање на веб страна на ученичката заедница и нивно вмрежување<br>-Подигнување на свеста за значењето на образованието и редовност | Зголемена афирмација на постигањата на учениците во јавноста<br>зголемена мотивираност кај учениците и<br>учество во многубројни активности, како и афирмација и придобивки за училиштето | Директор,<br><br>Педагошка служба<br><br>Наставнички совет<br><br>Формирани тимови и комисии, | Во текот на целата учебна година | Човечки ресурси – формирање на тим (Наставнички совет). Увид во состојбата (директор, Училишен одбор) | Директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Извршена идентификација на состојбата со присуството на ученици од ромската популација, деца со посебни потреби<br>Зголемена редовност и мотивација за напредок кај учениците<br>Постигнати високи резултати,<br>Отворени читални-Катчиња уредени согласно возраста со пристап до литература и дидактички материјали | Училишен одбор<br><br>Совет на родители | | Финансиските и материјалните трошоци ќе бидат во зависност од потрената | |

| Година 2023/2024 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | Следење | |
| **Задача** | **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| Набавка на нови нагледни средства | - Набавка и доставување | × | × | × | × | × | × | × | × | × | × | × | × | Директор, родители Наставници стручна служба | Физички и човечки ресурси | Проширена листа, извештај | Набавени се наставни средства од приоритетната листа | директор тим | според потребите |
| Изведба на термоенергетска фасада и кров на училишна зграда и сала | -Изведување на подготвителни работи<br>-изведување на термоенергетска фасада на училишна зграда и сала | | | | | | | | | **x** | **x** | × | × | Директор, родители Наставници стручна служба тим за задача | Физички и човечки ресурси | Тендерска документација/ Апликација по јавен оглас МОН<br><br>Записник, анализи, фотографии | Нова термоенергетска фасада , заштеда на топлинска енергија и намалена бучава, подобра здравствена заштита | директор тим МОН | -/- |
| Изработка на проект за изградба на елеватор(лифт) | Изработка на проект<br>Аплицирање и барање донации<br>Подготвителни работи<br>Изградба на еливатор | | | x | x | | | | | x | x | x | x | Директор, родители Наставници стручна служба тим за задача | Физички и човечки ресурси | Листа извештај документација | Изработен основрн проект за еливатор | директор мон | -/- |
| Замена на стари цевки и поставување на терморегулациони вентили на парновентили на парно | Набавка и монтажа | | | | | | | | | x | x | x | x | Директор, родители Наставници стручна служба тим за задача | Физички и човечки ресурси | Тендерска документација Листа Записник фотографии | Отсранети дефекти на парно системот, заштеда на топлинска енергија | Директор тим општина | -/- |
| Набавка на нов книжен фонд во библиотека | -Набавка на нови лектирни изданија и стручна литература | × | × | × | × | × | × | × | × | × | × | | × | Библиотекар, стручна раб,наставници Родители | Физички и човечки ресурси | Листа извештај документација | Збогатен книжен фонд | Библиоте-кар | -/- |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на нов инвентар | -Опремување на училници | x | x | x | x | | | | | x | x | x | x | Тим , директор наставници, родители | Физички и човечки ресурси | листа, слики извештај документација | Набавен нов инвентар во училници | директор тим | -/- |
| Опремување на просторија за работа на ученичката заедница | Опремување на просторијата со инвентар и потребни материјали | × | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | x | Ученичка заедница, тим директор стручни соработници | Интернет конекција икомпјутер фотоапарат, камера | Документација Записник, Фотографии листа | Зголемена продуктивност и активизам на учениците во јавноста и работата и животот во училиштето | Ученичка заедница тим | -/- |
| Отварање на веб страна на ученичката заедница и вмрежување | - формирање на тим Креирање на веб страна- Вмрежување Контуинирано ажурирање | ? | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | x | Администратори и тим директор Стручни соработници | Интернет конекција компјутер | Веб страна на училиштето | Зголемена афирмација на постигањата на учениците во јавноста како и на училиштето | Адми-нистратор | |
| Хортикултурно уредување и пошумување на училишниот двор | - Хортикултурно уредување - Пошумување и одржување со системи за наводнување - реализација на ЕКО програмата | | × | × | | | | × | × | | | | | Директор наставници, родители, ученици еко одбор | Физички и човечки ресурси | Анализи извештаи фотографии | Училишниот двор и училиштето е пријатно место за престој и хигиенските услови | еко одбор | -/- |
| Реализација на семинари | -Реализација на семинари -Примена на знаењата на наставниците | x | x | x | x | × | x | x | x | x | × | | × | Директор, тим за професион. развој, стручна служба | Физички и човечки ресурси | Ажурирани портфолија со сертификати | Успешно завршени обуки кои ја подобруваат наставата и успехот на ученикот | Директор стручна служба | -/- |
| Поставување на заштитни решетки на врати, ходници и прозори, | -Подготвителни активности -Поставување на заштитни решетки на вратите во ходниците и прозорите | x | x | | | | | | | x | x | x | x | Директор тим за задача Надворешни лица, родители наставници | Физички и човечки ресурси | Тендерска документација Записник, анализи, фотографии | -зголемена безбедностна училиштето | директор, тим | -/- |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| сензорен алармен систем | и сензорен алармен систем<br>-Стручен надзор на извршената работа и технички прием | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Молеро-фарбарски работи во спортската сала „Методија Андонов – Ченто“ | -Изведување на подготвителни работи<br>-Молеро-фарбарски работи во спортската сала | | | | | | | | | **x** | **x** | **x** | Директор, родители Наставници стручна служба тим за задача | Физички и човечки ресурси | Тендерска документација<br><br>Записник, анализи, фотографии | Функционалена и здрава средина за изведување на наставата по физичко образование | директор, тим | -/- |
| Поставување дел на ограда околу училишниот двор | -Изготвување на план и изведување на подготвителни Работи<br>Поставување на дел од ограда околу училишниот двор<br>-Стручен надзор на извршената работа и технички прием | | | | | | | | **x** | **x** | **x** | **x** | Директор, родители Наставници стручна служба тим за задача, | Физички и човечки ресурси | План, тендерска документација<br><br>Записник, анализи | -Безбедна и функционална средина во училиштето и училишниот двор | директор, тим | -/- |
| Набавка на асистивна технологија | Набавка и доставување | **x** | x | x | x | x | x | x | **x** | **x** | **x** | x | x | Директор, родители Наставници стручна служба тим за задача, | Физички и човечки ресурси | План за приоритетна листа за набавка Аплицирање, Тендерска документација Записник, анализи | Подобрување на развојот на ученичките способности, вештини Набавена асистивна технологија | директор, тим | -/- |
| Уредување на надворешен простор наменет за настава во | - Изведување на подготвителни работи<br>- Набавка на материјали и инвентар за | **x** | x | x | | | | | | **x** | **x** | **x** | Директор, родители Наставници тим за задача, | Проект документација фотографии | Заштита од топлина и функционалена, здрава средина за изведување на наставата | терени и надворешен инвентар, спортска опрема фотографии | директор, тим | -/- |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| природа и рекреација | настава во природа<br>- Уредување на простор за настава во природа и места | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Реконструкција на игралиште и атлетска патека | --Изработка на предлог проект -<br>Изведување на подготвителни работи<br>- Реконструкција на постојните терени и изградба на нови<br>-Стручен надзор на извршената работа и технички прием | **x** | **x** | | | | | | | **x** | **x** | **x** | Директор, родители Наставници тим за задача, | Основен проект за терени и спортска опрема Тендерска документација Фотографии Извештај | Заштита од топлина и функционална, здрава средина за изведување на наставата | терени и спортска опрема фотографии | директор, тим | -/- |

Забелешка: Согласно условите и средствата зависи реализацијата на планираните активности.

**7.1. План за евалуација на акциските планови**

**Одговорни за следење**-. Одговорни за следење низ постојано следење и планирање на сите активности за подобрување на успешноста ќе бидат: директор, стручна служба, училишни тимови за следење, анализа и поддршка, тим за професионален развој стручни активи, наставници, ученици и Совет на родители. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. Евалуацијата ќе ја врши комисијата на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

**-Критериум за успех**- (претставува ниво и квалитет на промената која сакаме да ја постигнеме).

Активностите во согласност со Законот за основно образование Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година. Наставните планови и програми издадени од БРО, критериумите за оценување на училиштето, училишното планирање на оценувањето, Етичкиот кодекс на оценувањето и правилник на оценување на постигањата.

**-Инструменти** - прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа,скали на проценка, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти

**-Индикатори за успешност**- Како индикатори на успех во текот на учебната година ќе се користатпостигнати резултати на натпревари и успех на учениците. Подобра афирмација и мотивација кај учениците/ наставниците; веб страна на УЗ

која редовно се ажурира и опремена просторија за работа. Набавен нов инвентар и училишен мебел, нагледни средства книги и литература,асистивна технологија, компјутерска опрема и добра интернет конекција.
Современи кабинети со потребна инфраструктура за одделни предмети кои ги изучуваат и катчиња уредени согласно возраста со пристап до литература и дидактички материјали. Обучени наставници и реализирани работилници, проекти. Децата со попреченост безбедно и слободно ќе ги користат просториите и кабинетите и непречено движење. Поставена термоизолација и заштеда на енергија,како и пријатен престој во училиштето. Уредена здрава и чиста животна средина Ограден училишен двор со безбеден и пријатен за престој и игра Уреден надворешен простор наменет за настава во природа и рекреација. Реконструирани спортски терени и изградба на атлетски борилишта. Заштита од многу топли и ладни денови во горниот кат на училишната зграда Безбедно и заштитено училиште од кражби
**-Повратна информација**- За успешно, навремено и транспарентно информирање ќе се користи: усна и писмена повратна информација, информирање преку индивидуални и групни средби, полугодишен и годишен извештај, јавно истакнување на веб страна и проследување до релевантни институции.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

**Преглед на задолжителни наставни предмети во одделенска настава (I, II, III, IV и V одделение)**

| Предмет | Прво одделение | Второ одделение | Трето одделение | Четврто одделение | Петто одделение |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Англиски јазик | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| Природни науки | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Општество | 1 | 1 | 1 | | |
| Историја и општество | | | | 2 | 2 |
| Техничко образование и информатика | | | | 1 | 2 |
| Музичко образование | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Ликовно образование | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Физичко и здравствено образование | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

**Преглед на задолжителни наставни предмети во предметна настава (VI, VII, VIII и IX одделение)**

| Број на часови неделно | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предмет | Шесто одделение | Седмо одделение | Осмо одделение | Деветто одделение |
| Македонски јазик | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Математика | 5 | 4 | 4 | 4 |
| Англиски јазик | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Француски јазик | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Ликовно образование | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Музичко образование | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Техничко образование и информатика | 2 | - | - | - |
| Информатика | - | 1 | - | - |
| Историја и општество | 3 | - | - | - |
| Историја | - | 2 | 2 | 2 |
| Географија | - | 2 | 2 | 2 |
| Етика | - | 1 | - | - |
| Граѓанско образование | - | - | 1 | 1 |
| Природни науки | 3 | - | - | - |
| Биологија | - | 2 | 2 | 2 |
| Физика | - | - | 2 | 2 |
| Хемија | - | - | 2 | 2 |
| Иновации | - | - | - | 1 |
| Физичко и здравствено образование | 3 | 3 | 3 | 3 |

**Преглед на бројот на ученици по одделенија**

| Одделение | I | | II | | III | | | IV | | | V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | А | Б | А | Б | В | А | Б | В | А | Б |
| Број на ученици | 27 | 28 | 26 | 26 | 22 | 22 | 21 | 25 | 20 | 27 | 24 | 25 |

| Одделение | VI | | | VII | | VIII | | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | А | Б | А | Б | В | А | Б |
| Број на ученици | 20 | 21 | 20 | 22 | 28 | 22 | 21 | 21 | 24 | 15 |

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Работата на училиштето во учебната 2023/2024 година ќе се одвива според следниот календар:

- Учебната година почнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година.
- Наставната година започнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 17 јуни 2024 година.
- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – прво и второ полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година.
- Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 и завршува на 17 јуни 2024 година.
- Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот започнува 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. Пролетниот распуст започнува на 29 април и завршува на 6 мај 2024 година. Летниот распуст започнува на 18 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година.

Основните училишта во време од 18 јуни до 01 јули 2024 година организираат дополнителна настава, одделенски испити и поправни испити, а од 15 август до 21 август 2024 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

- Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
- Во учебната 2023/24 година наставата се остварува во 180 наставни денови.
- Наставата во основното училиште не се изведува за време на државни и други празници утврдени со закон.
- Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии и денот на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. Патрониот ден на училиштето е 1-ви Април. На патрониот ден на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации утврдени со годишната програма за работа.
- Календарот е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, преку училишни радио емисии (разглас) онлине или книга за соопштенија, уредување на училишниот хол, пано, уредување на содржини за ѕиден весник, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности.

| **Одбележување на значајни денови** | **Активност** | |
|---|---|---|
| Прием на првачиња | Приредба-Рецитал, ритмичка точка | 01.09.2023 |
| Ден на независноста | Читање реферат, самостојни творби , цртање | 08.09.2023 |
| Одбележување на Европскиот ден на јазиците | Читање реферат, изработка на постери | 26.09.2023 |
| Одбележување Прием на првачиња во Детската организација | Давање заклетва, ритмичка точка | 02.10. – 06.10.2023 |
| Одбележување на Светскиот ден на заштита на животните | Читање, цртање | 04.10.2023 |
| Одбележување на Денот на учителот | Читање реферат,самостојни творби,цртање | 05.10.2023 |
| 11-Октомври Денот на народното востание | Читање реферат, самостојни творби, цртање | 11.10.2023 |
| Одбележување на Светскиот ден на храната | Цртање, творење, драматизација | 16.10.2023 |
| 23 Октомври Ден на македонска внатрешна револуционерна организација | читање реферат | 20.10.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| Одбележување на Месецот на книгата | Посета на саем на книги и на библиотека, подарување книги, создавање на самостојни книги, читање, | 16.10. до 15.11.2023 |
| Одбележување на<br>Светскиот ден на љубезноста (добрината) | Подари книга ( правење добри дела), цртање, употреба на убави зборови, љубезност | 13.11.2023 |
| Одбележување на Денот на ослободување на Скопје | Читање реферат, самостојни творби | 13.11.2023 |
| Светскиот Ден на детето | Читање , остварување и заштита на детските права,творење,цртање | 20.11.2023 |
| Одбележување на празникот „Св.Климен Охридски“ | Читање реферат | 07.12.2023 |
| Меѓународен ден на човековите права | Работилница | 11.12.2023 |
| Светскиот ден на водите , водните живеалишта | Работилница | 02.02.2024 |
| Светскиот ден за безбеден интернет | Работилници за безбедно однесување на интернет | 06.02.2024 |
| Меѓународен ден на мајчиниот јазик | Работилница | 21.02.2024 |
| Одбележување на Денот на жената | Читање реферат, самостојни творби, цртање - изложба | 08.03.2024 |
| Одбележување на франкофонија | Информирање | 14.03. – 19.03.2024 |
| Меѓународен ден на шумите | Садење, посета на шума | 21.03.2024 |
| Ден на пролетта и екологијата | Садење, чистење,творење,цртање | 21.03.2024 |
| Одбележување на денот на шегата | изработување маски, маскирање | 01.04.2024 |
| Одбележување на Патрониот празник | Рецитал,ликовна изложба, изложба на изработки, ритмичка точка | 01.04.2024 |

| | | |
|---|---|---|
| Светскиот Ден на здравјето | Работилница | 08.04.2024 |
| Одбележување на верскиот празник Велигден | Работилници, хепенинг | 26.04.2024 |
| Денот на планетата Земја | Работилници со разни активности | 22.04.2024 |
| Светскиот ден на книгата | Читање | 23.04.2024 |
| Ден на македонскиот јазик | Работилница | 06.05.2024 |
| Меѓународен ден на семејството | Работилница | 15.05.2024 |
| Ден на сесловенските просветители | Читање реферат, самостојно творење | 23.05.2024 |

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

| **ООУ„Наум Наумовски Борче“<br>Распределба на часови во учебната 2023/2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Наставник** | **Предмет што го предава** | **Одделенија во кои предава** | **Вкупно часови** | **Одделенски раководител** |
| Соња Ајдаревиќ | Англиски јазик -<br>3 часа неделно **(21 час)** | **VII-а, VII-б,VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **21** | **VIII-в** |
| Наставник по етика и граѓанско образование | Граѓанско образование<br>1 час неделно **(5 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **13+7 часа во ООУ„Стив Наумов“** | |
| | Етика<br>1 час неделно | **VII-а, VII-б,** | | |
| | Слободни изборни предмети во VI одделение **(6 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Катарина Марковска | Географија<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **VII-а, VII-б,VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **20** | **VIII-а** |
| | Историја и општество<br>модул географија | **VI-а, VI-б, VI-в** | | |
| | Нашата татковина<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **VIII-а, VIII-б** | | |
| Александра Војнеска Зикова | Физичко и здр. образование<br>3 часа неделно **(21 часа)** | **IV-а, IV-б, IV-в, V-а, V-б, VII-а, VII-б** | **21** | **VII-б** |
| Фросина Ристовска | Биологија,<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **20** | |
| | природни науки<br>3 часа неделно **(6 часа)** | **VI-а, VI-б,** | | |
| Даниела Кузманоска | хемија,<br>2 часа неделно **(10 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **17+4 часа во ООУ„Вера Јоциќ“** | **VI-в** |
| | природни науки<br>3 часа неделно **(3 часа)** | **VI-в** | | |
| | природни науки<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **V-а, V-б** | | |
| Соња Златевска | Македонски јазик<br>4 часа неделно **(20 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, IX-а,** | **20** | **VI-а** |
| Маја Станковска | Техничко образование и информатика<br>2 часа неделно **(6 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в** | 16 +8 часа во ООУ„Наум Охридски“ | **IX-а** |
| | Информатика,<br>1 час неделно **(2 часа)** | **VII-а, VII-б** | | |
| | Иновации<br>1 час неделно **(2 часа)** | **IX-а, IX-б** | | |
| | Есару администратор (6 часа) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Весна Трајковска | Музичко образование,<br>1 час неделно **(10 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б,** | **22** | |
| | проекти од музичката уметност<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **IX-а, IX-б, VIII-в** | | |
| | 3 часа хор, 3 часа оркестар<br>**(6 часа)** | | | |
| Билјана Дрвошанова | Англиски јазик<br>3 часа неделно **(18 часа)** | **IV-а, IV-б, V-б, VI-а, VI-б, VI-в** | **20** | |
| | Вештини за живеење<br>2 часа неделно **(2 часа)** | **VII-а** | | |
| Јовица Николовски | Историја<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **20** | **VII-а** |
| | Историја и општество (модул историја и граѓанско обраование) | **VI-а, VI-б, VI-в** | | |
| Сања Пецевски | Македонски јазик<br>4 часа неделно **(20 часа)** | **VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-б** | **20** | **VIII-б** |
| Наталија Ѓорѓевиќ Миревска | Француски јазик<br>2 часа неделно **(20 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **22** | **VI-б** |
| | Вештини за живеење<br>2 часа неделно **(2 часа)** | **VII-б** | | |
| Снежана Боболеска | Англиски јазик<br>2 часа неделно **(14 часа)** | **I-а, I-б, II-а , II-б, III-а, III-б, III-в,** | **20** | |
| | Англиски јазик<br>3 часа неделно **(6 часа)** | **IV-в, V-а** | | |
| Билјана Велјаноска | Математика<br>4 часа неделно **(8 часа)** | **VII-а, VII-б** | 8+12 часа во | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ООУ„Крсте Мисирков“ | |
| Валентина Коруноска | Физика<br>2 часа неделно **(10 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б** | **22** | |
| | Математика<br>4 часа неделно **(12 часа)** | **VIII-а, VIII-б, VIII-в** | | |
| Маја Давидовска Бошевска | Математика<br>**5** часа неделно **(15 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в** | **23** | **IX-б** |
| | Математика 4 часа неделно **(8 часа)** | **IX-а, IX-б** | | |
| Никола Наневски | Ликовно образование<br>1 час неделно **(8 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VII-а, VII-б, VIII-а, VIII-б, VIII-в,** | **8** | |
| Марија Наневска | Ликовно образование,<br>1 час неделно **(2 часа)** | **IX-а, IX-б,** | **2** | |
| Дејан Боневски | Физичко и здр.образование<br>3 часа неделно **(24 часа)** | **VI-а, VI-б, VI-в, VIII-а, VIII-б, VIII-в, IX-а, IX-б,** | **24** | |
| Моника Гаврилоска | Физичко и здр.образование<br>3 часа неделно **(21 часа)** | **I-а, I-б, II-а , II-б, III-а, III-б, III-в** | **21** | |
| Виолета Миновска | Техничко образование и информатика<br>2 часа неделно **(4 часа)** | **V-а, V-б** | 4+16 часа во ООУ„Крсте Мисирков“ | |
| Снежана Величковска | одделенски наставник | **I-а** | | |
| Оливера Филиповска | одделенски наставник | **I-б** | | |
| Марија Депиновска | одделенски наставник | **II-а** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Катерина Јовановиќ | одделенски наставник | **II-б** | | |
| Елизабета Темелковска | одделенски наставник | **III-а** | | |
| Маре Ѓиревска | одделенски наставник | **III-б** | | |
| Сања Груева | одделенски наставник | **III-в** | | |
| Анета Пешевска | одделенски наставник | **IV-а** | | |
| Соња Николова | одделенски наставник | **IV-б** | | |
| Дијана Николовска | одделенски наставник | **IV-в** | | |
| Виолета Силјановска | одделенски наставник | **V-а** | | |
| Гордана Ѓорѓиевска | одделенски наставник | **V-б** | | |
| Лили Подолешова | Одделенски наставник – дневен престој | | | |
| Тамара Димитриевска | Одделенски наставник – дневен престој | | | |

### 8.3. Работа во смени

- Наставата ќе се реализира во две смени. Учениците од VI до IX ќе посетуваат настава само прва смена, за останатите ученици наставата ќе биде реализирана во две смени. Во една смена наставата ќе посетуваат учениците од I, II и III одделение, а во другата смена учениците од IV и V одделение.
- Часовите започнуваат во 7:30 часот наутро за прва смена за предметна настава, за одделенска наставата започнува наставата во 7:30 часот за прва смена и во 12:30 часот за втора смена.
- Смените ќе се менуваат на две недели.
- Секој час трае 40 минути. По вториот час има голем одмор во траење од 20 минути, а останатите одмори меѓу часовите се по 5 минути.

| | Распоред на часови | |
|---|---|---|
| час | I смена | II смена |
| 1. | 7:30-8:10 | 12:30-13:10 |
| 2. | 8:15-8:55 | 13:15-13:55 |
| | Голем одмор | Голем одмор |
| 3. | 9:15-9:55 | 14:15-14:55 |
| 4. | 10:00-10:40 | 15:00-15:40 |
| 5. | 10:45-11:25 | 15:45-16:25 |
| 6. | 11:30-12:10 | 16:30-17:10 |
| 7. | 12:15-12:55 | 17:15-17:55 |

- Дополнителната и додатната настава како и воннаставните активности ќе се реализираат по завршувањето на часовите.
- Дневниот престој има посебен ред за изведување на часовите, времето за ручек и одморите.

**8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата**

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 22 | | | | |
| **Број на ученици** | 497 | | | | |
| **Број на наставници** | 38 | | | | |

### 8.5. Проширена програма

Во училиштето се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

За учениците од прво, второ и трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

Училиштето по добиена согласност од Министерството за учениците од прво до трето одделение организира паралелки за продолжен престој со ученици од различни паралелки од прво до трето одделение. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителите/старателите на учениците. За време на продолженият престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето. Паралелките за продолжен престој ги водат Лили Подолешова и Тамара Димитриевска.

### 8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Според наставниот план за учебната 2023/24 година сите ученици од прво одделение до деветто одделение го изучуваат англискиот јазик и тоа учениците од I, II и III одделение 2 часа неделно, а од IV до IX одделение 3 часа неделно. Учениците од VI до IX одделение покрај англискиот јазик како втор странски јазик го изучуваат францускиот јазик согласно нивниот избор со 2 часа неделно.

### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во учебната 2023/24 година во паралелките од I до V одделение согласно законот за основно образование наставата по физичко и здравствено образование со фонд од 3 часа неделно или 108 годишно ја реализираат тандем наставници. Наставата ќе ја реализираат одделенските наставници и двајца наставници по физичко и здравствено образование (Александра Војнеска Зикова и Моника Гаврилоска).

### 8.9. Изборна настава

Според наставниот план за учебната 2023/24 година кој се реализира согласно Концепцијата за основно образование (08-3980/1 од 3.3.2021):

- слободниот изборен предмет во I, II и III одделение ќе се реализира во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците. Во времето предвидено за слободниот изборен предмет, секој ученик ќе се поттикнува самиот да избере што сака да прави како дополнување на она што е веќе учено во текот на денот/неделата и/или целата паралелка да избере заедничка активноста како поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците.
- Учениците од IV, V и VI одделение ќе избираат два слободни изборни предмети во текот на учебната година, еден во прво полугодие, друг во второ полугодие од листа на слободни изборни предмети утврдена во училиштето.

На крајот на наставната 2022/2023 година за учениците од VII до IX се спроведе анкета за изборен предмет кој учениците ќе го изучуваат во учебната 2023/2024 година. Во анкетата за изборен предмет беа понудени следните предмети:

- Вештини за живеење, техничко образование, проекти од музичката уметност за VII одделение
- Нашата татковина, унапредување на здравјето, проекти од музичката уметност и проекти од информатика за VIII одделение
- Нашата татковина, истражување на родниот крај, проекти од музичката уметност, проекти од информатика за IX одделение

Согласно резултатите оваа учебна година ќе се реализираат следниве изборни предмети:

| Изборен предмет | Наставник | Одделение | Број на часови |
|---|---|---|---|
| Вештини за живеење | Билјана Дрвошанова | VII А | 2 |
| Вештини за живеење | Наталија Горѓевиќ Миревска | VII Б | 2 |
| Проекти од музичката уметност | Весна Трајковска | VIII В, IX А, IX Б, | 6 |
| Нашата татковина | Катарина Марковска | VIII А, VIII Б | 4 |

### 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Ученици за кои се организира дополнителната настава се:

- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,
- ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема),
- ученици што подолго време отсуствувале од настава
- ученици со потешкотии во учењето.

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

На дополнителна настава со учениците ќе се работи со приспособени форми и методи за полесно совладување на предвидените содржини. Секој наставник ќе води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за слабиот успех кај учениците. Во прилогот за дополнителна настава е даден и глобален распоред за одржување на дополнителна настава, а на месечна основа ќе се изготвува/ажурира распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и ќе се објавува на огласна табла и на интернет страница. Наставниците во текот на наставната година електронски водат педагошка евиденција за дополнителна настава (образец-16) која на крајот на наставната година се печати и архивира.

Наставниците за реализацијата на дополнителната настава ќе соработуваат со родителот/старателот на ученикот преку информирање на родителот/старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава и за распоредот за реализирање на дополнителната настава, редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот.

### 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програми, како и самиот наставен процес на различни начини: Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, стручната служба на училиштето, родителски средби, Е-дневникот, веб-страната на училиштето како и преку вклучување во воннаставните активности или во улога на родител предавач.

Низ овие форми на родителите ќе им се даде можност да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца. Исто така учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за креативно изведување на наставата.
Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од страна на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции) како помош во изработка на производи зависно од темата, промоции, учество во проекти, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.
Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.
Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот, со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот, придонесува за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми кај ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на советување на родителите, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.
Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите заработа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето. Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, педагог и директор), состаноци на Советот на родители, семејно советување, работилници со родители на критични групи ученици, информирање, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури и слично.

**Изработка на брошура за родители**

Со формирање на тим од родители, наставници и стручната служба ќе се изработи брошура за родители со која ќе се промовира воспитно-образовната дејност на училиштето како и сите потребни информации.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

**Локална заедница**

Училиштето ќе биде отворено за соработката со локалната заедница која ќе се остварува електронски, писмено и усно и ќе се реализираат активности кои ќе бидат во интерес на училиштето и поширокатa средина. Училиштето во учебната 2023/2024 година ќе продолжи соработка со општината со цел збогатување на воспитно-образовната работа. Исто така ќе продолжи соработката со месното население и бизнис заедницата која може да помогне во материјалното унапредување на дејноста на училиштето. Ќе продолжи организирањето на заеднички културно-уметнички, образовни, спортски и други манифестации со општината и другите училишта.

**Институции од областа на културата**

Ликовни и литературни изложби, културни и историски споменици, саеми, библиотеки, музеите и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенскиот наставник. Кино и театарските претстави ќе ги организираме според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците. Исто така училиштето ќе учествува на сите организирани конкурси и покани за натпревари преку кои ќе се афирмираат постигањата на учениците.

**Институции од областа на образованието**

Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со: БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината за непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл., Ресурсен Центар ,,Иднина” , Социјална служба, МВР, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност-Еразмус +, детските градинки во кругот на нашата населба- за запишување на ученици за прво одделение, основните училишта од општината и пошироко- за размена на информации и искуства и взаемна помош во работата, средните училишта-за следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за упис, професионална ориентација и сл., Факултети- за стручно усовршување, организирање натпревари, семинари, советувања, ДПИ за утврдување на законитоста во работењето

**Невладини организации -**Училиштето ќе продолжи да соработува со невладини организации како што се :
СОС-Детско село, Пакомак, Црвениот Крст, Македокс, Британиш Кансел и други невладини организации кои ќе пружаат помош и поддршка во воспитно-образовниот процес.

**Спортски друштва -**Училиштето ќе продолжи да соработува со КК „Феникс“,ТК„Тигри - Скопје“и други спортски клубови во кои членуваат наши ученици и кои ќе пројават интерес за соработка со нашето училиште.

**Здравствени организации**

Училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Здравствен дом „Ченто“,МКФ, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, Заводот за ментално здравје,

Осигурителна компанија и други. Соработка со Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје Во текот на годината ќе се организираат предавања и работилници на различни теми од областа на здравствената заштита на учениците, спроведени од стручни лица, надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот Крст и еден предметен наставник. Целта на овој вид на едукација е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето.

**Медиуми**

Училиштето ќе печати флаери и брошури, а преку училишната веб-страна ќе се промовираат сите активности во училиштето. Ќе продолжи промовирањето на училишните активности и постигнувањата на учениците преку електронските и печатени медиуми.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Објавување на материјал (текст и слики) во детски списанија( Наш свет, Другарче, Развигор) и весникот на општина Гази Баба | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето<br><br>транспарентно информирање за работата на училиштето |
| Македонска телевизија во емисијата „Звон" и утрински програми | Во времето на денот на училиштето | Одговорни наставници и ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | |
| Промовирање на постигањата на веб страна и facebook страницата на училиштето | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Брошура - билтен Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | |

Медиумските активности за афирмација на работата на училиштето ќе се реализираат во соработка со наставниците, директорот и Советот на родители. Во училишниот хол ќе се постави еко пано преку кое ке се информираат учениците, наставниците, останатите вработени, родителите и сите оние кои го посетуваат училиштето за сите активности кои се реализираат во нашето училиште. На веб страната од училиштето ќе се објавуваат информации за сите активности.

| Р.Б. | АКТИВНОСТИ | НОСИТЕЛИ | ЦЕЛ НА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Презентација на Предлог Годишна програма за работа на училиштето | Директор на училиштето | Запознавање на Советот на општина Гази Баба и Градоначалникот со програмата за работа на училиштето и предвидените активности во текот на учебната година | Август |
| 2. | Учество на литературни и ликовни конкурси | Ученици од I –IX одд | Проширување на знаењата,развој на натпреварувачки дух | Октомври/ ноември год. |
| 3. | Систематски лекарски прегледи | -Вработени во училиштето - ученици од I ,III, V, VII и IX одд<br>-ЈЗО-Здравствен дом„Ченто“ | Развој на здравствена култура и превенција од болести | Во текот на учебната година. |
| 4. | Вакцинација | Ученици од I до V одд. | Имплементација на календарот за имунизација, заштита од заразни заболувања | Во текот на учебната година |
| 5. | Воннаставни активности | -Наставници од одделенска и предметна настава,<br>-ученици од I до IX одделение<br>-Спортски клубови<br>-креативни центри<br>-невладини организации | Запознавање со различни можности за користење на слободното време | Октомври |
| 6. | Систематски стоматолошки прегледи | -Ученици од I ,III,V,VII и IX одд<br>-Детски диспанзер за заштита на оралното здравје-поликлиника,,Ченто“ | Развој на здравствена култура и превенција од болести | октомври/ ноември |
| 7. | Посета на музеи и културни историски споменици | Наставници од одделенска и предметна настава,ученици од I-IX одд. | Развој на културните вредности кај учениците | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (Археолошкиот музеј,музеј на ВМРО,споменици во градот Скопје) | | |
| 8. | Посета на кино,театарски претстави, библиотека | Ученици од I-V одд. Наставници од одд.настава | Развој на културните вредности кај учениците | Во текот на учебната година |
| 9. | Посета и организација на семинари, работилници, обуки | Директор ,Педагог, Психолог Наставници, МОН, БРО, ДПИ | Подобрување на квалитетот на работата и воспитно -образовниот процес во училиштето,Размена на искуства | Во текот на учебната година |
| 10. | Посета на државни институции и приватни стопански субјекти од локалната средина | Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одделение, јавни институции и приватни фирми од бизнис заедницата на општина Гази Баба | Продлабучување на знаењата на учениците од одредена тема | Во текот на учебна година |
| 11. | Работилници и засадување млади садници во училишниот двор | -Директор на училиштето Претставници од стручна служба, технички персонал Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одделение Министерство за животна средина и просторно планирање | Да се развие еколошката свест кај учениците за заштита на планетата Земја | Ноември, Март/април |
| 12. | Учество во натпревари и конкурси во организација на институциите на културата од локалната средина | -Ученици од I до IX одделение | Проширување на знаењата од различни области, Развој на творештво и слободно изразување на учениците, поттик на натпреварувачки дух | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Организација на работилници на различни теми | -Претставници од стручната служба во училиштето, родители, наставници, ученици, претставници од институциите од образованието, Општински основни училишта, Детски градинки | Зајакнување на врската наставник родител, ученик, проширување на знаењата, размена на искуства и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес | Во текот на учебната година |
| 14 | Учество во манифестација „Априлијада“ организиран детски карневал по повод Денот на шегата 1 Април | Ученици од I до V одделение Наставници, Родители | Негување на културните традиции во општината | Април |
| 15 | Велигденски хепенинг | -Ученици од I до IX одделение, наставници, -родители | Развој на креативност кај учениците и творечки дух, почитување на верските обичаи | Април |
| 16 | Турнири и спортски натпревари | Одделенски наставници - наставници по физичко и здравствено образование - ученици од I до IX одделение -спортски клубови | Развој на физичките способности кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух | Во текот на учебната година |
| 17 | Работилници за заштита на здравјето | ЈЗО „Здравствен дом “-Ченто Детски диспанзер за орално здравје Наставници и ученици од I до IX одделение | Развивање свест и одговорност за сопственото здравје кај учениците, развој на здравствена култура. | Во текот на учебната година |
| 18 | Промоција на хумани вредности и хуманитарни акции | -Вработени во училиштето ученици од I до IX одд Црвен крст Центар за социјална работа | Развој на хумани вредности кај учениците, подршка на социјално ранливите | Во текот на учебната година |
| 19 | Предавања,проекти работилници за | Министерство за внатрешни работи | Запознавање на учениците со правилата во сообраќајот | Во текот на учебната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | безбедност на децата во сообраќајот | | | |
| 20 | Медиумско претставување на активностите во училиштето | Директор, тим на училиштето за комуникација и односи со јавноста ученици,наставници Печатени списанија (Росица, Другарче, Развигор, Наш свет) и електронски национални медиум | Промоција на активностите на училиштето и запознавање на пошироката јавност со неговата работа | Во текот на учебната година |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Реализацијата на активностите од Годишната програма за работа на училиштето ќе бидат следени за да може да се процени и утврди нивото и квалитетот на сработеното или резултатите од активностите. Со мониторингот треба да се добие одговор на прашањето во која мерка се реализирале планираните содржини и активности, кои се носителите и колку биле успешни активностите.

Процесот на следење и евалуација започнува со усвојување на Годишната програма и продолжува континуирано во текот на целата учебна година. Следењето на имплементацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се врши секојдневно, месечно, квартално и годишно во зависност од активноста. Во училиштето има воспоставен систем на следење на активностите, но исто така и сите носители на активностите се вклучени во процесот на следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на училиштето, бидејќи вршат контрола на сопствената работа. Покрај Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието субјекти кои ја следат имплементацијата на Годишната програма на училиштето се: директорот, стручните соработници, тимовите задолжени за поддршка и следење, Наставничкиот совет, Училишниот одбор. Покрај реализацијата на воспитно-образовната работа ќе се следат и следните подрачја:

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Планирање и реализација на наставата и воннаставните активности | Увид во планирањата, извештаи и анализи за постигнат успех, | Директор, стручна служба, одделенски и | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | записници и извештаи од активности и натпревари<br>Во текот на учебната година | наставнички совет, стручни активи | |
| Едуцирање (обука) на наставниците | Извештаи, увид во ЛППР и професионално досие, обуки и дисеминации<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | директор, тим за професионален развој, стручни соработници |
| Подобрување на грижата за здравјето на учениците | Извештаи,<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор, |
| Афирмирање на постигањата на учениците | Записници, извештаи<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор |
| Подобрување на условите за учење | Тендерска документација, увид, извештаи<br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, стручни активи | Наставници, родители, ученици, директор, училишен одбор |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето и евалуацијата на годишната програма за работа на училиштето има за цел да се подобри квалитетот на работата на училиштето. Со процесот на следење и евалуација на годишната програма всушност се споредуваат целите и очекуваните исходи со добиените резултати по реализацијата на активностите. При следење и евалуација на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето се тргнува од планот за развој на училиштето, насоките за самоевалуација на работата на училиштето и од законските и подзаконските акти врз кои се заснова истата. Во овој процес посебно внимание се обрнува на собирањето докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите се собираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

Врз основа на добиените резултати директорот на училиштето и стручната соработници изработуваат полугодишен и годишен извештај за реализацијата на Годишната програма, кој е базиран на основа на извештаите на наставниците и тимовите одговорни за реализација на одредени програми и проекти. Овие извештаи се разгледуваат и усвојуваат од страна на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор и претставуваат појдовна точка за успешно планирање на идни активности.

## 25. Заклучок

Целта на училиштето е да се подобри квалитетот како и условите на работата, а сето тоа може да се постигне со добра тимска работа и професионална етичност, како и квалитетното планирање, организирање и реализирање на активностите. Со годишната програма се испланирани активностите, целите и задачите, носителите на активностите, временските рамки и потребните ресурси. Годишната програма е во согласност со законите и прописите од надлежните институции и се насочени кон задоволување на потребите на учениците и успешно остварување на образовните стандарди. Годишната програма за работа на ООУ „Наум Наумовски Борче“ - Скопје за учебната 2023/24 година е документ со кој е детално испланирана воспитно-образовната работа на училиштето која се темели врз приоритетите од програмата за развој. Во планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа се вклучени сите субјекти и структури во училиштето кои заеднички ќе се стремат кон остварување на мисијата и визијата на училиштето. Во годишната програма се опфатени активности со кои се организира наставата, воннаставните и вонучилишните активности, ученичкото организирање, натпреварите на учениците, се планира оценувањето на постигањата на учениците, поддршката на учениците и проектите кои ќе се реализираат во училиштето, негувањето на мултикултурализмот, хуманизмот и позитивна училишна клима. Истотака особена важност се посветува и на безбедноста и грижата за здравјето.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Комисијата за изработка на годишната програма на ООУ„Наум Наумовски Борче“ за учебната 2023/24 година ја сочинуваат:

1. **Светлана Петровска- директор**
2. **Маја Станковска –предметен наставник**
3. **Даниела Кузманоска- предметен наставник**
4. **Марија Депиновска- одделенски наставник**
5. **Виолета Силјановска- одделенски наставник**
6. **Калина Пуловска- педагог**
7. **Валентина Јовановска- психолог**
8. **Матеа Анастасова – претставник од училишен парламент**

## 27. Користена литература

При изработката на годишната програма на ООУ„Наум Наумовски Борче“ за учебната 2023/24 година е користена следната литература:

- Законот за основното образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година).
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште од 06.07.2020 година со број 18-6579/1 донесен од Министерот за образование и наука.
- Концепцијата за основно образование (08-3980/1 од 3.3.2021):
- Статут на ООУ „Наум Наумовски Борче“ Гази Баба Скопје
- Самоевалуација и Развојната програма на ООУ „Наум Наумовски Борче“
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 19.11.2019 година со број 12-13487/1 донесен од Министерот за образование и наука.
- Концепција за воннаставни активности во основното образование, што е утврдена од министерот за образование и наука со решение број 12-2897/2 од 5.3.2020 година.
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија.
- Наставен план за деветгодишно основно образование за учебната 2023/24 година
- Календар за организација на работата на основните училишта во учебната 2023/24 година
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта.
- Прирачници за основните професионални компетенции на наставниците, стручните соработници и директорот во основните и средните училишта и прирачник за следење на работата и планирање на професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта
- Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година
- Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2022 година
- Водич за работа на училишниот инклузивен тим
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта
- Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта

**Претседател на**

**Училишен одбор**

**----------**

**Горан Готиќ**

**Директор**

**----------**

**Светлана Петровска**

**М.П**

**Скопје, 2023 год.**

# ПРИЛОЗИ

## НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“

## Прилог 1: Годишна програма за работа на директор

Директорот е раководен орган на училиштето и е одговорен за законитоста во работата на училиштето, се грижи за статусот и положбата на вработените, ја организира и ја раководи воспитно-образовната работа, самостојно донесува одлуки, го застапува училиштето пред надворешни лица. При вршењето на својата раководна и менаџерска функција директорот ќе се раководи од неговата програма за работа на училиштето. Обврски на современиот директор:

- да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги.
- да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност.
- да обезбедува услови на организција, да ги задоволат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат, општински подрачен инспектор, Училишниот одбор и др.)
- да обезбеди континуирано користење информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија.
- да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата.

Директорот, како раководен орган има надлежности да ја организира воспитно- образовната работа во училиштето. Од него зависи организацијата и реализацијата на сите подрачја и подподрачја на надворешната и внатрешната структура на наставата, а индиректно и работата на сите вработени во училиштето.

| **I. ВОДСТВО** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| **1.1 Стратешко водство**<br>- Влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко<br>- Избирање на стилови на водство и примена согласно ситуацијата<br>- Вложување во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување<br>- Остварување континуирана соработка со органите и телата во училиштето | Стручна служба, наставници | Континуирано |
| **1.2 Училишна клима и култура** | Надлежни институции, | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Воспоставување механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања<br>- Превземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите<br>- Воспоставување на систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП<br>- Воспоставување процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност<br>- Поставување висики и достижни очекувања од учениците и вработените<br>- Воспоставување хоризонтална и вертикална соработка во сите стручни тела во училиштето<br>- Обезбедување принцип на „отворена врата" за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис сектор<br>- Обезбедување услови за реализација за активности од областа на инклузија мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и др. | општина, наставници, вработени, директор | |
| **1.3 Соработка со родителите и заедницата**<br>- Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување подршка<br>- Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство и слично)<br>- Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците<br>- Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница<br>- Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето | директор, педагог, психолог, наставници, Општина Гази Баба | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Соработка со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите - Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ и др.<br>- Обезбедување услови за соработка со други училишта<br>Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно образовниот процес | | |
| **II. Раководење со човечки ресурси** | | |
| **2.1 Комуникација и односи со јавност**<br>- Формирање тимови за односи со јавноста и изготвување акционен план и програма за презентација на училиштето<br>- Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината<br>- Комуницирање со вработените континуирано, непосредно во писмена и во електронска форма<br>- Користење на различни видово и приоди во формална и неформална комуникација<br>- Применување на позитивен модел на комуникациски вештини со вработените<br>- Приспособување на начинот на комуникација за надминување на недоразбирањата<br>- Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците<br>- Конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците<br>- Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето<br>- Реализација на планот за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на вработените и наставата во училиштето<br>- Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |
| **2.2 Унапредување на човечките односи** | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Градење јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите<br>- Учество во разрешување конфликти и градење доброи меѓучовечки односи<br>- Водење на грижа при распределба на работните ангажмани на вработените.<br>Развивање на клима и култура кои го подржуваат вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставување цели и креирање промени | | |
| **2.3 Професионален и кариерен развој**<br>- Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој<br>- Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници)<br>- Менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој<br>- Користење на различни инструменти за евалуација на работата | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |
| **2.4 Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање**<br>- Планирање на персонална соработка со институциите<br>- Спроведување интервју со потенцијални кандидати за вработување<br>- Обезбедување стручен и компетентен кадар<br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна подршка<br>- Препознавање и наградување на индивидуални постигнувања | Педагог, психолог, наставници | Континуирано |
| **III. Педагошко раководење на училиштето** | | |
| **3.1 Планирање**<br>- Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето<br>- Изготвување годишни, оперативни и неделни планови за сопствената работа<br>- Ревидирање на програмите краткорочно, среднорочно и долгорочно<br>- Презентирање на годишните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница | Наставници, координатори на тимови , стручна служба | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Иницирање и насочување активности за иновација во наставата | | |
| **3.2 Подршка на наставата и учењето**<br>- Воспоставување процедури за планирање на наставата и на воннаставните активности<br>- Подршка на наставниците при планирањето<br>- Изработка и користење инструменти за следење на наставата<br>- Следење наставни часови и давање повратни информации<br>- Следење на состојбата поврзана со Коруна вирусот и адаптирање на новонастанатата ситуација<br>- Обезбедување на услово за далечинско учење односно учење од дома доколку ситуацијата не дозволува реализација на наставата со физичко присуство на наставниците и учениците | Наставници, координатори на тимови , стручна служба | Континуирано |
| **3.3 Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)**<br>- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми<br>- Поддршка на тимовите за изработка на самоевалуацијата<br>- Водење советодавно – инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите<br>- Обезбедување размена на добри практики на иновативна настава во рамките на училиштето и со други училишта вклучувајки и користење на современо образовна технологија | Наставници, координатори на тимови , стручна служба | Континуирано |
| **3.4 Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот**<br>- Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично<br>- Обезбедување услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба - Формирање инклузивни тимови<br>- Обезбедување активности за запознавање со културите на заедниците што живеат во Македонија | Директор, Стручна служба | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Создавање услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации<br>- Обезбедување на услови за започнување на наставата со препораки изготвени од надлежните институции кои се непосредно поврзани со пандемијата од Ковид 19 | | |
| **IV. Финансиско раководење** | | |
| **4.1 Раководење со финансиските ресурси**<br>- Пронаоѓање можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето<br>- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет<br>- Информирање на органите и телата во училиштето за трошење на финансиските сретства<br>- Навремено исполнување на финансиските обврски<br>- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот<br>- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на завршната сметка | Директор, секретар, сметководство | Континуирано |
| **4.2 Раководење со материјалните ресурси**<br>- Реализација на планот и распоредот за максимално коистење на расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности во согласно со потребите<br>- Реализација во обезбедување на потребни материјални ресурси за одвивање на наставата<br>- Вклучување на вработените во планирањето на буџетот и информирање за негова прераспределба<br>- Обезбедување на материјални ресурси за непречено одвивање на наставата | Директор, секретар, сметководство | Континуирано |

| **V. Законско и административно работење на училиштето** | | |
|---|---|---|
| **5.1 Примена на законски и под законски акти**<br>- Обезбедување примена на законската регулатива во училиштето<br>- Воспоставување систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантни законски прописи | Директор, педагог, социолог, претседатели на активи, одделенски наставници, родители секретар, училишен одбор | Континуирано |
| **5.2 Изработка и примена на интерни акти и документација**<br>- Организирање и учество во работата на тимовите за изработка на интерни акти<br>- Носење интерни акти во сопствена надлежност<br>- Обезбедување доследно спроведување на интерните акти<br>- Спроведување одлули донесени од училишниот одбор | Директор, педагошка служба, наставници | Континуирано |
| **5.3 Раководење со административните процеси**<br>- Организирање и следење на работата на вработените и обезбедување соодветни услови<br>- Доделување задачи на вработените, обезбедување почитување почитување на рокови и непосредно раководење со процесот<br>- Воспоставување добро организиран систем за административни работи во училиштето | Директор | Континуирано |
| **5.4 Примена на информациските системи во училиштето**<br>- Обезбедување услови за развој и функционирање на информациските системи<br>- Обезбедување услови за сеопфатна електронска евиденција на сите активности на училиштето<br>- Користење информациски системи во секојдневната работа | Директор | Континуирано |

**Директор: Светлана Петровска**

## Прилог 2: Годишна програма за работа на педагог

Годишната Програма за работа на педагогот е изработена во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година и Правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта.

**Работни задачи по подрачја**

| Предвидена активност | Соработници | Реализација | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатори/докази |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Работа со ученици** | | | | | |
| **поддршка на учениците во учењето** | | | | | |
| Учество во комисија за запишување ученици во прво одделение<br>Процена на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем | психолог, социолог, дефектолог, наставници-членови на комисијата за запишување деца во прво одделение | мај | Процедура за запишување деца во прво одд.<br>нагледни материјали, сликовници, хартија, боички | Запишани ученици во прво одделение | Известување за запишување деца во прво одделение<br>Одлука за формирање комисија за запишување деца<br>Покани, извод, потврди<br>Список на запишани ученици во прво одделение |
| Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста | психолог. социолог, наставници, родители | Во тек на учебната година | Стручна литература<br>Евиденција за успехот и редовноста на учениците | Надминување на причините за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста | Евиденција и документација за работата на педагогот |
| Советодавно-инструктивна работа со ученици кои | психолог социолог наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература | Надминување на причините за проблемите во учењето | Евиденција и документација за работата на педагогот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| покажуваат неуспех во учењето | стручни лица | | Евиденција за успехот редовноста и однесувањето на учениците | Подобрен успех на учениците | |
| Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент. | психолог одговорни наставници | Во тек на учебната година Октомври Ноември | Стручна литература Презентација инструменти | Активно вклучување на учениците во донесување одлуки и преземање активности за позитивни промени | Извештаи од спроведени активности |
| Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби | психолог социолог, дефектолог наставници стручни лица од ЗМЗ и МКФ | Во тек на учебната година | Стручна литература Прирачници Евидентни листи Индивидуални образовни планови | Постигање на поставените цели во ИОП Успешна инклузи ја на учениците со ПОП во образовниот систем | Евиденција од работата со деца со ПОП |
| Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој, советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања | психолог, социолог, наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература Евидентни листи Скали за процена | Повисоки постигања Поголемо учество на натпревари од страна на надарените учениците | Евиденција од работата со надарени ученици Пополнети индентификациони листи |
| **следење и поддршка на развојот на учениците** | | | | | |
| Вклучување на учениците во донесување одлуки за одредени активности во училиштето | директор стручни соработниц и наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература прирачници | Зголемена самодоверба и самопочитување кај учениците и вклученост во животот и работата на училиштето | Извештаи од спроведени активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Превентивни активности за физичко и ментално здравје, превенција од насилно и асоцијално однесување | директор стручни соработници и наставници Стручни лица | Во тек на учебната година | Стручна литература прирачници | Подобрување на здравјето и начинот на живеење на учениците | Извештаи од спроведени активности |
| Учество и поддршка во идентификацијата на желби и интереси на учениците за учество во воннаставните активно сти, јавни настапи, конк урси, натпревари и др. | директор психолог социолог наставници | Во тек на учебната година | Евидентни листи Конкурси Покани за гостувања и јавни настапи | Поголемо учество на учениците во воннаставните активности, јавни настапи, конкурси, натпревари | Извештаи Анкети Освоени награди и признанија |
| **професионална ориентација и кариерен развој на учениците** | | | | | |
| Споделување на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта Информирање за мрежата на средни училишта Организирање презентации од страна на средните училишта | психолог социолог претставници од државни и приватни средни училишта | април, мај | Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пропаганден материјал од средните јавни училишта | Информирани ученици со условите и критерирумите за упис во средно образование, како и со струките и занимањата. | Програма за професионална ориентација на учениците Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта, пропаганден материјал од средните училишта. извештај од спроведени активности |
| Индивидуални и групни разговори со ученици и родители за правилен избор на | психолог | април, мај | Конкурсот за запишување ученици во | Правилно ориентирање согласно интересите и способностите на учениците Поттикнува ње | Евиденција од индивидуални и групни разговори со ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| понатамошното образование | | | јавните средни училишта Резултати од анкета за професи онална информира ност на учениците | кон самостојно донесување на одлука и избор за упис во средно училиште. | |
| **2. Работа со наставници** | | | | | |
| **Поддршка на наставниците за планирање и реализација на наставата** | | | | | |
| Информирање за новини во законите, наставните планови и програми, правилници, упатства, концепциски документи и слично. | директор стручни соработници и наставници | август, септември тековно | Закон за основно образование, Закон за наставници, правилници, упатства, протоколи | Навремено информирање со новините во воспитно-образовниот процес и нивно успешно имплементирање | Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совет |
| Увид во начинот на планирање и реализација на наставата | директор стручни соработници и наставници | Во тек на учебната година | Наставни планови, програми и прирачници од БРО | Изготвени годишни програми, тематски и дневни планирања | Годишни програми Записници од состаноци на стручни активи, Формулари од увид во годишни програми и дневни планирања |
| Помош и поддршка на наставниците при дефинирање на воспитно-образовните цели во изготвувањето на индивидуални образовни планови | наставници дефектолог психолог социолог | Во тек на учебната година | Наставни планови, програми и прирачници од БРО и УСАД | Изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни индивидуални планирања | Годишни програми Формулари од увид во годишни програми и дневни планирања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Советодавно-консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи методи, форми и техники на работа | наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература | Подобрен успех на учениците<br>Унапреден воспитно-образовен процес | Евиденција од посета на часови и остварени консултации |
| Советодавно-консулативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците | директор психолог, социолог | октомври<br>декември<br>февруари<br>април | Образовни стандарди и критериуми за оценување на постигања на учениците | Навремено и објективно оценети ученици | Евидентни листи<br>Свидетелства<br>Резултати од споредбени анализи на успехот и постигањата на учениците |
| Поддршка на наставниците во планирање и реализација на воннаставните активности | директор стручни сорботници наставници | Во тек на учебната година | Концепција за воннаставни активности во основното образ. ЗОО,<br>Концепцијата за девттгодишно образование | Вклученост на учениците во ВНА согласно нивните интереси развивање на способностите на учениците за заедничка работа зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободно време, | Извештај од реализира ни воннаставни актив ности, Податоци за вклученоста на учениците во ВНА<br>Записници од состаноци на стручни активи |
| Учество и поддршка на наставниците во реализација на активностите во рамките на проектите:<br>-Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем<br>- Меѓуетничка интеграција во образованието | директор стручни соработниц и наставници | Во тек на учебната година | Прирачници<br>Стручна литература | Реализација на планираните активности во рамките на проектите | Извештај од спроведените проекти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Училиште на 21-от век | | | | | |
| Советодавно-консултативна работа за водење на педагошка евиденција и документација | директор стручни сорботници наставници | Во тек на учебната година | Правилник за формата и содржин ата на педагошката документација и евиденција во осно вното училиште како и начинот на нивното водење | Правилно и уредно водење на педагошка евиденција и документација | Евидентни листи од увид во водење педагошка евиденција и документација |
| **Поддршка на наставниците за работа со учениците** | | | | | |
| Поддршка на наставниците во работата со ученици со потешкотии во учењето, емоционални потешко тии, надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби | психолог соцолог дефектолог наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература прирачници | Препознавање на потребите на учениците, почитување на личноста на секој ученик идентификување и развивање на неговите јаки страни | Евиденција од остварена соработка со наставниците и работа со ученици со потешко тии во учењето, емоционални потешко тии, надарени ученици Идентификациони листи, Изготвени индивидуални образовни програми |
| Поддршка на наставникот во справување и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците согледување на причините за несоод ветно однесување | психолог соцолог дефектолог | Во тек на учебната година | Стручна литература прирачници | Надминување на причините за проблемите во однесувањето | Евиденција од остварена соработка со наставниците |

| 3.Работа со родители | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** | | | | | |
| Советодавна работа со родители чии деца се соочуваат со неуспех со учењето, нередовно посетување на настава и несоодветно однесување | директор психолог социолог дефектолог наставници | Во тек на учебната година | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците | Надминати проблеми со учењето, редовноста и однесувањето | Евиденција од работа со родители |
| Советодавна работа со родители за поддршка на децата со посебни образовни потреби | дефектолог стручни лица од ЗМЗ, МКФ | Во тек на учебната година | Стручна литература Прирачници Евидентни листи Индивидуални образовни планови | Успешна инклузија на учениците со посебни образовни потреби во образовниот систем | Евиденција од работа со родители |
| **образование на родители** | | | | | |
| Информирање на родителите за работата на училиштето | директор стручни соработници и наставници | Во тек на учебната година | Правилник за работа на основното училиште, прирачници | Информирани родите ли за животот и работата на училиштето и поддршката која училиштето што им ја нуди на учениците | брошура, веб страна на училиштето,записници од родителски средби и информативно – консултативни разговори со родители |
| Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми | директор стручни соработници и наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература | Успешна соработка со родителите Решавање и надминување на воспитно-образовните проблеми | Евиденција од остварена соработка со родители |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предавања на одредени теми по потреба | наставници | По потреба | Стручна литература | Подобрена комуникација помеѓу родителите и децата | извештај |
| **вклученост на родителите во животот и работата на училиштето** | | | | | |
| Пранирање активности за вклучување на родители во одредени сегменти од в-о процес (здравствена заштита, професионална ориентација, јавна и културна дејност, еколошки активности, меѓуетничка интеграција.) | директор стручни соработници наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература Прирачници | Успешна соработка со родителите Унапредување на развојот и подобрување на постигањата на учениците | Евиденција од остварена соработка со родители |
| **4.Соработка со заедницата** | | | | | |
| **соработка со локалната заедница** | | | | | |
| Учество во соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности | директор стручни соработници наставници | Во тек на учебната година | Стручна литература и разни материјали ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Стручни материјали, извештаи од организир ани зеднички настани и манифестации |
| Соработка со општина Гази Баба при реализација на активности во рамките на проектот Меѓуетничка | директор стручни соработници наставници родители ученици | Во тек на учебната година | Прирачници ИКТ | Развиени компетенции кај учениците за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу | Извештаи од спроведени активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| интеграција во образованието | Основните училишта во општина Гази Баба | | | ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите. | |
| Учество во промоција и презентација на работата на училиштето и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето | директор стручни соработници и наставници претставници од локалната заедница | Во тек на учебната година | Веб страна на училиштето Брошура Флаери | Успешно презентирање и промовирање на работата на училиштето информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето | Веб страна на училиштето Брошура Извештаи |
| **соработка со стручните институции и организации** | | | | | |
| Соработка со образовни здравствени, социјални институции и други установи кои допринесу ваат за остварување на целите и задачите на в-о работа | Советници од БРО државни Општински и просветни инспектори Социјални работници ... | Во тек на учебната година | Стручни материјали Прирачници Правилници Протоколи | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Извештаи Евиденција од остварени средби |
| Соработка со Црвен крст на град Скопје и Општинска организација на Црвен крст на Гази Баба | директор стручни соработници и наставници родители ученици претставници од Црвен крст | Во тек на учебната година | Прирачници Брошури | Успешно реализирани активности во рамките на соработката со Црвен крст | Извештаи од спроведени активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба | претставници од ресурсниот центар и од општина Гази Баба | Во тек на учебната година | прирачници правилници | Контининуирана поддршка и помош на ученици и родителите од ранливи категории | Записници од средби и состаноци |
| Спроведување на аналитичко-истражувачка работа меѓу учениците, одделенските заедници, наставниците | Примена на психолошки стандардизирани тестови за процена на актуелните потреби за спроведување на А-И-Р | Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници Директор, | Идентификување и интерпретирање на резулатите од спроведената А-И-Р | Стандардизирани психолошки тестови, Техничка поддршка | Декември, Април, Мај |
| Работни задачи по програмски подрачја<br>УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на превентивни програми за подобрување на менталното и физичкото здравје на уечниците | Примена на Стандардизирани психолошки тестови, Презентации за здравјето во училишен контекст, Работилници за подобрување на интер и интраперсоналните капацитети и справување со кризни состојби | Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници Директор, Родители | | | |
| Демократска партиципациј а во училиштето | Примена на психодијагностички средства и инструменти за подобрување на наставниот процес | Предметни наставници, Одделенски наставници Стручни соработници Директор, | Анализа и интерпретација на сознанијата и предлага мерки релевантни за целото училиште | Инструменти, Стандардизирани тестови, Техничка поддршка, Дигитални алатки, | |
| Психосоцијал на и емоционална поддршка на сите партиципиент и во воспитно образовната работа | Реализирање на работилници и презентации во делот на социо-емоционалната поддршка | редметни наставници, Одделенски наставници Стручни соработници Директор, Ученици, | Ефективно и навремено интервенирање во подобрување на квалитетот на училишниот живот кај сите партиципиенти | Инструменти, Стандардизирани тестови, Техничка поддршка, Дигитални алатки | |

**Психолог: Валентина Јовановска**

## Прилог 5: Годишна програма за работа на дефектолог

Програмата за работа на дефектологот е изработена во согласност со Законот за основно образование, поставките дадени во “Основите за програмирање на воннаставната воспитно - образовна дејност на основното училиште и работата на стручните работници“ , Статутот на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година условите, потребите и состојбите на училиштето, како и според календарот за работа во учебната 2023/2024 година.

| **Работни задачи по програмски подрачја**<br>***Предвидени активности*** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***1. Работа со ученици*** | **Соработници** | **Активности** | **Форма** | **Време** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатор** |
| **1.1 Проценка на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем**<br><br>**1.2 Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците** | Дефекто-лог стручна служба тим за инклузија | *Користење различни методи и инструменти за испитување на подготвеноста за вклучување на учениците во соодветното ниво на образование<br>*подготвување инструмент за набљудување на ученикот<br>*Запознавање и опсервирање на учениците со пп | индивидуална групна | мај - септември<br><br>Контину-ирано | Опсервации Разговори Евидентни листови за опсервација | Вклученост на учениците во образовниот систем во содветно ниво<br>Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците.<br>Надминување на пречките кај учениците со ПОП и нивна успешна инклузија во образовниот систем | Прашалник за родители,<br><br>-Мислење,<br><br>Досие на ученикот со ПОП |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.3 Изготвување на педагошки профил на ученикот со ПОП** | Стручни соработници Наставници Родители | *прибирање на податоци за ученикот (социјални, комуникациски содржини, самостојност и грижа за себе, како учи и сл. ) *процена на индивидуалните потенцијали, можности и способности | индивидуална групна | Септем-ври - октомври | Инструменти за процена на моторните и когнитивни способности, интереси | Јасно одредени силни и слаби страни на ученикот | олгорочен ндивидуален бразовен план |
| **1.4 Индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензомоторното и социо-емоционалното функционирање**<br>**1.4.1 Корекција и компензација на развојните потешкотии и пружање непосредна помош во учењето** | Наставници Родители и Стручни лица од Заводот за ментално здравје | *вежби за реедукација на психомоторика, *вежби за говорно-јазична оспособеност (дислалија, дислексија, дизграфија, дискалкулија) *вежби за внимание и концентрација | Индивидуална групна | континуирано | Долгорочни индивидуални планови Развојно-стимулативни програми | Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот Подобар успех во усвојување на наставните содржини Реализација на поставение цели во иоп Евиденции од работењето со учениците индивудуално и во паралелката | Евиденција од работата со деца со ПОП Наод и мислење од ЗМЗ Ученичко досие Ревизија на долгорочните и среднорочните планирања-увид во постигањата на учениците |
| **1.5 Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијат** | Психолог Педагог Наставници | *давање помош на учениците со попреченост во прво одделение при | индивидуална групна | континуирано | Евидентни листи за следење на развојот на ученикот | Прилагодување на учениците со ПОП во училишната средина, плагоденост и | Ревизија на Долгорочните и среднорочните |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а, напредокот и постигањата на учениците со ПОП** | | адаптирање во новата училишна средина<br>*примена на целите содржани во ИОП<br>* Користење на диференцијација и индивидуализација со цел обезбедување пристап до наставните содржини | | | Евидентни листи за постигањата<br>Индивидуални образовни планови | адаптираност на учениците со попреченост во прво одделение во новата училишна средина<br>Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план | планирања-увид во постигањата на ученикот<br>Евиденција од посета на часови и остварени консултации |
| **1.6 Советодавно-инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии и социјална неприлагоденост** | Психолог<br>Дефектолог<br>Наставници<br>Стручни лица од Заводот за ментално здравје | *Советување, работилници личен раст и развој на ученикот,создавање на стимулативна средина | индивидуална<br>групна | континуирано | Стручна литература<br>Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците | Надминување на причините за проблемите во учењето, емоционалните потешкотии, социјална неприлагоденост, престапништво | Евиденција и документација за работата на дефектологот<br>Евиденции од дискусии со родители, наставници и ученици<br>Набљудување<br>Интервју<br>- Анкета |
| **1.7 Работа на професионална информација и ориентација на учениците (советување и разговор со учениците со ПОП)** | Психолог<br>Наставници<br>Претставници од државни и приватни средни училишта | *Советување на родители советување на ученици | индивидуална<br>групна | април, мај | Стручна литература<br>Прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците | Информирани ученици со ПОП за соодветните професии<br>Правилно насочени ученици при изборот на нивното натамошно образование или професија согласно | Извештај од спроведена анкета за професионална информираност на учениците<br>Евиденција од |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | АВРМ | | | | Анкетен прашалник за профе-сионална информираност на учениците | нивните интереси и способности | индивидуални и групни разговори со ученици |
| **1.8 Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето** | Членови на училишен тим | *Изготвување на програма за ненасилство, трибини, презентации | индивидуална групна | континуирано | Евидентни листи | Намалување на појави на насилно однесување | Евиденција од преземени активности |
| ***2.Работа со наставници*** | | | | | | | |
| **2.1 Инструктивно-советодавна работа со наставниците за учениците сопопреченост и потешкотии во учењето** | Директор Психолог Педагог | *Запознавање на наставниците со принципите, целите, задачите и новините во инклузивното образование | индивидуална групна | август | Закон за основно образован. Прирачници за инклузивно образова-ние | Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса | Записници од состаноци Извештаи од спроведени интерни обуки |
| **2.2 Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот** | Наставници Психолог Педагог | *Присуство на обуки кои се во корелација со области од дефектологијата *реализација на интерни обуки *дисеминации | Индивидуална групна | континуирано | Стручна литература Прирачници ИОП | Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со ПОП | Евиденција од соработка со наставници Индивидуални образовни планови Наставни листови |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. 3 Дефинирање на воспитно-образовните цели при изготвување на ИОП** | Наставници Психолог Педагог | *Помош и поддршка на наставниците при, дефинирање на воспитно-образовните цели во изготвувањето на индивидуални образовни планови | индивидуална групна | континуирано | Наставни планови, програми и прирачници од БРО и УСАД | Изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни индивидуализирани планирања | Годишни програми Формулари од увид во годишни програми и дневни планирања |
| **2.4 Стручна помош на наставниците при изготвување на индивидуализирани инструменти за проверка на знаењата на учениците со ПОП** | Стручни соработници Наставници | *помош на наставниците при избор на инструменти за проверка на знаењето на ушениците со поп | индивидуална групна | континуирано | Прирачник и Стручна литература | Увид во постигањата на ученикот, помош на ученикот во учењето | Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата |
| **2.5 Инструктивна работа при избор на соодветни методи за работа** | Наставници Педагог | *помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа | индивидуална групна | континуирано | Стручна литература | Подобрен успех на учениците со ПОП Унапреден воспитно-образовен процес | Евиденција од посета на часови и остварени консултации |
| **2.6 Реализација на предавања од областа на дефектолошката теорија и пракса. 2.6.1 Организирање и реализирање** | Дефектолог | *Подобрување на способностите на наставниците за препознавање прифаќање и работа со овие ученици како и изработување на ИОП и користење на | групна | Август – септември | Стручна литература Прирачник и за работа со ученици со ПОП Презентација | Развиена позитивна слика за себе, самодоверба, вклопеност во училишната средина и подобри | Извештај од спроведено интерно предавање |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **активности (работилници, индивидуални консултации со наставници за планирање на наставата со фокус на изработка на иоп и користење на принципите на идивидализација и диференцијација** | | принципите на идивидализација и диференцијација | | | | постигања на учениците со ПОП | |
| **2.7 Примената на асистивна технологија во образовниот процес** | Наставници | *Запознавање на наставниците со можностите и придобивките од примената на асистивна технологија во образовниот процес | индивидуална групна | Во тек на училишната година | Интернет ресурси, Прирачници за примена на асистивна технологија | Правилен избор и ефикасна примена на соодветна асистивна технологија | Презентација за наставници |
| ***3.Работа со родители*** | | | | | | | |
| **3.1 Активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес** | Директор Психолог Педагог Наставници Родители | *Поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот на учениците | индивидуална групна | континуирано | Стручна литература Прирачници | Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно- | Евиденција од остварена соработка со родители |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | образовниот процес | |
| **3.2 Едукација на родителите за карактеристики те на учениците со ПОП** | Стручни соработници Родители | *Оспособување на родителите за поддршка на учениците со поп во процесот на ушчење и нива мотивација и градење самодоверба | индивидуална групна | континуирано | Стручна литература | Родители оспособени за поддршка на учениците со ПОП во процесот на учење, нивна мотивација и влевање самодоверба | Евиденција од едукативни средби со родители |
| **3.3 Советодавно-инструктивна работа со родители на ученици со ПОП** | Родители Наставници | *Давање поддршка и инструкции на родителите на учениците со ПОП за работа во домашни услови. | индивидуална групна | континуирано | Прирачници за работа со ученици со ПОП | Поттикнување на развојот и напредокот на учениците со ПОП | Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители |
| **3.4 Навремена помош при надминување на одредени проблеми** | Директор Психолог Педагог | *Советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со учењето , редовноста и дисциплината | индивидуална групна | континуирано | Евиденција листи за успехот, редовноста и однесувањето на учениците | Надминати проблеми со учењето , редовноста и дисциплината | Евиденција и документација за работата на дефектологот |
| **3.5 Упатување на родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми** | Стручни соработници Родители | Подршка и упатување на родителите во соодветна установа (Завод за ментално здравје, Завод за слух, говор и глас, Клиника за детски болести) | индивидуална групна | континуирано | Павилници за рабта Процедури | Пружање на навремена и соодветна помош за надминување на проблемот | Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители |

| *4.Соработка со заедницата* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.1 Поддршка и следење при остварување и реализирање на воспитно-образовниот процес** | Советници од БРО Општински и државни просветни инспектори Социјални работници МВР | Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа | индивидуална групна | континуирано | Стручни материјали Прирачници и правилници | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Извештаи Евиденција од остварени средби |
| **4.2 Соработка со Ресурсен Центар за родители и деца на Општина Гази Баба** | Социјални работници и претставници од Ресурсниот центар Претставници од Општина Гази Баба | Обезбедување на поддршка и помош на учениците и родителите од ранливи категории | Групна | континуирано | | Континуирана поддршка и помош на учениците и родителите од ранливи категории | Меморандум за соработка Покани Записници од средби и состаноци |
| **4.3 Планирање и остварување на соработка со основните училишта од реонот и пошироко** | Директор Стручни соработници Наставници | - обезбедување на соработка и поддршка со основните училишта и разменување на искуства | Групна индивидуална | континуирано | Стручни материјали Прирачници и правилници | Размена на сознанија и информации значајни за работата | Евиденција од соработка со локалната заедница |
| **4.4 Учество во соработка со** | Директор | Организирање и реализирање на | индивидуална | континуирано | Стручна литература | Унапредување на воспитно- | Стручни материјали |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **локалната заедница и реализација на заеднички активности** | Стручни соработници Наставници | превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница | групна | | и материјали ИКТ | образовниот процес | Извештаи од организирани заеднички настани и манифестации |
| **4.5 Поддршка и соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците со ПОП (Завод за ментално здравје, Завод за слух, говор и глас, Клиника за детски болести)** | Здравствени работници Стручни соработници | обезбедување на соработка и поддршка со надлежните здравствени установи и институции | индивидуална групна | континуирано | Стручна литература | Упатување на учениците во соодветни институции за дијагностика и третман; -Подобрување на нивните потенцијали -Постигнување подобар училишен успех | Дописи Извештаи Евиденција од остварени средби |
| ***5.Професионален развој и професионална соработка*** | | | | | | | |
| **5.1 Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој** | Стручни соработници | Изготвување сопствен план за професионален развој | индивидуална | Август-септември | Професионални компетенции и стандарди за стручни соработници Стручна литература | Развиени професионални компетенции Континуиран професионален развој | Извештај од реализација на личен план за професионален развој ЛППР |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.2 Примена на новости од струката** | Стручни соработници | Учество на проекти, работилници, трибини, обуки, семинари, конференции | индивидуална групна | континуирано | Стручни литература | Унапредување на воспитно-образовниот процес Перманенто стручно усовршување | Сертификати Извештаи Покани |
| **5.3 Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување** | Стручни соработници | | индивидуална групна | континуирано | Стручна литература и информации и од значење за образованието и воспитувањето Интернет ресурси | Примена на современи приоди во работата со ученици со ПОП Унапредување на воспитно-образовниот процес | ЛППР |
| **5.4 Соработка со колеги од професинални здруженија** | Сојуз на Дефектолози Дефектолози на ниво на општина Гази Баба | Учество и соработка со Сојузот на дефектолози - Учество во размена на искуства со дефектолози, педагози, психолози | групна | континуирано | Стручна литература и материјали ИКТ | Лично стручно усовршување Континуиран професионален развој | Покани Стручни материјали |
| ***6.Аналитичко-истражувачка работа*** | | | | | | | |
| **6.1 Постигања на учениците при премин од одделенска во предметна настава** | Психолог Наставници | Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава | индивидуална групна | февруари | Евидентни листи, статистички прегледи компјутер, | Увид во постигањата на учениците при премин од одделенска во | Извештај |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | предметна настава | |
| **6.2 Постигања на учениците со ПОП според ИОП** | Стручни соработници Наставници | Увид и анализа во долгорочниот, среднорочниот и краткорочниот ИОП како и изготвување на извештај од примената на ИОП-от | индивидуална групна | континуирано | | | Инструмент за посета на час Евидентен лист за ревизија на ИОП-от |
| **6.3 Стручно усовршување на наставниот кадар** | Директор Психолог Педагог Наставници | Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар | групна | континуирано | Анкенет прашалник Прирачник за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници | Перманенетно стручно усовршување на наставниот кадар | Извештај од спроведена анкета Програма за професионален развој ЛППР |
| ***7.Училишна структура, организација и клима*** | | | | | | | |
| **7.1 Да се изготви план за изработка на годишна програма за работа на стручен соработник дефектолог** | Дефектолог | -координација за изработка на годишна програма;<br>- изработување на сопствена годишна програма | индивидуална | август | Стручна литература прирачници од БРО компјутер, хартија | Изготвена годишна програма | Годишна програма за работа на дефектологот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.2 Да се изготват индивидуални образовни планови за учениците со ПОП** | Директор Психолог Педагог Наставници | Координација на изработката на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП | групна | август | Наставни планови, програми и прирачници од БРО, УСАИД | Изготвени годишни програми | Годишни програми Индивидуални образовни програми |
| **7.3 Да се изготви програма за работа на тимот за инклузија** | Училишен тим за инклузија | Учество во изготвување програма за работа на училишниот инклузивен тим | индивидуална групна | август | Стручна литература компјутер, хартија | Реализација на планираните активности за работа со ученици со ПОП | Годишен извештај, Годишна програма Записници од состаноци на инклузивниот тим Евиденција за работа со ученици |
| **7.4 Да се изготват програми за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии** | Психолог Педагог Наставници | Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии | индивидуална групна | август | Стручна литература, компјутер, хартија | Изготвени програми за работа со надарени ученици и ученици со емоционални потешкотии и реализација на планираните активности | Годишен извештај Годишна програма Евиденција за работа со ученици |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.5 Водење на евиденција и документација на учениците со ПОП** | Стручни соработници Директор | -месечен оперативен план<br>-хронолошки дневник за работа<br>-евиденција за соработка со ученици, наставници, родители<br>-дефектолошко досие за учениците со ПОП | индивидуална | секој месец | Стручна литература Годишна програма и извештај за работа на училиштето ИКТ | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Месечен план за работа |

**Дефектолог: Марија Костовска**

## Прилог 6: Годишна програма за работа на библиотекар

Структурниот состав на основите на програмата за работа на училишниот библиотекар-медијатор, опфатени се покарактеристични задачи на училишната библиотека, содржините и активностите како елементи за избор и проформирање групирани во пет програмски подрачја:

1.Воспитно-образовната работа со учениците;
2.Соработка со наставниците, стручните работници и родителите;
3.Културна и јавна дејност;
4.Библиотечно-информативна и стручна работа;
5.Работа во медијатека.

Програмата ќе се реализира на следниов начин:

| **1.Воспитно-образовната работа со учениците е реализирана преку планирање на програмата за работа со учениците:** |
|---|
| -Зачленување ученици од прво одделение; |
| -Разговори за развивање на читателските способности кај учениците; |
| -Оспособување на учениците за правилен избор на литературата што се користи во наставата и воннаставното читање; |

| |
|---|
| -Насочување на интересот за книгата во склад со нините желби и способности; |
| -Формирање навики за внимателно читање и заштита на библиотичниот материјал  кој што се чита; |
| -Чување и навремено враќање на прочитаните книги и друга литература; |
| -Соработка со авторите на книгите. |
| **2.Соработка со наставниците, стручни работници и родителите:** |
| -Соработка со наставниците за изведување разновидни форми на современата настава; |
| -Користење на стручната литература; |
| -Весниците-списанијата наменети за учениците од прво до деветто одделение; |
| -Соработка со наставниците и стручните соработници во планирањето за набавка и обнова на книжниот фонд; |
| -Доброволна акција-дарување книга повеќе за училишната библиотека; |
| -Соработка за збогатување на фондот на книгите во училишната библиотека преку списанијата; |
| -Купување нови лектири кои се за обработка во наставната програма предвидена во основните училиштаод прво до осмо одделение. |
| **3.Културна и јавна дејност:** |
| -Реализација на културно просветните манифестации и посета на соодветни манифестации; |
| -Посета на саемот на книгата со учениците од петто до осмо одделение во соработка со „Просветно дело“; |
| -Изложба по повод патрониот празник, нова година, велигденски празници; |
| -Одбележување на месецот на книгата; |
| -Најдобри читатели; |

| |
|---|
| -Соработка со новинарската издавачка куќа; |
| -Соработка со локалната библиотека; |
| -Соработка со сојузот за физичка култура. |
| **4.Библиотечно-информативна и стручна работа:** |
| -Организација и спроведување на проектот „Бесплатни учебници” |
| -Планирана обнова на книжниот фонд; |
| -Посебна книжна стручна литература за наставата во основно училиште; |
| -Информација за новоиздадени книги, весници и списанија во текот на целата година; |
| -Известување за потребите за набавка на стручна и друга литература; |
| -Инвестирање, сместување и друга техничка обработка на новокупените книги за училишната библиотека; |
| -Заштита и ревизија на книжевниот фонд. |
| **5.Работа во медијатека:** |
| -Обезбедување на училишни видео материјали; |
| -Аудио касети,цедиња; |
| -Научно популарни ТВ емисии; |
| -Употреба на ИТ средства, телевизор, видеа, касетофон, интерактивна табла, ЛЦ-проектор; |
| -Поделба на бесплатни учебници за учениците. |

**Библиотекар: Ленче Славковска**

## Прилог 7: Годишна програма за работа на дневен престој

Поради комплексните задачи, цели, содржини и облици на работа во дневниот престој има потреба од програмирање и планирање на содржината на работата. На тој начин ќе се истакне изборот на содржините кои ќе се реализираат, со какви средства, методи и облици на работа.

Дневниот престој е место каде што ученикот треба да ги извршува сите активности кои што ги извршува дома. Затоа значењето на дневниот престој најубаво ќе се истакне ако се нарече втор дом на ученикот.

Дневниот престој не е продолжен дел од наставата, но според содржините на работата во голем дел е поврзан за наставата и не ретко и зависен во изборот на содржините за работа. Но, за да се оправда компарацијата на дневниот престој со домот, мора да се истакне дека тоа е место подеднакво и за учење, за игра, за забава, дружење и постојано надградување на знаењата.

Затоа поради овој збир на најразлични видови активности што се реализираат, важно е да се истакне дека дневниот престој има педагошки, психолошки, социолошки и медицински карактер.

Од истата причина самото планирање на содржините налага на поделба на активностите според видот како:

- Работа со учениците;
- Соработка со родителите;
- Соработка со наставниците;
- Соработка со директорот, педагогот, психологот, воспитно-образовните установи и други институции.

### РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

Работата со учениците е најважниот и најкомплексниот дел од работата во дневниот престој. Работата со учениците содржи активности кои се продолжение на наставата, но активности кои не се во врска со наставата.

Поради тоа активностите се поделени во два вида поради тоа работата во дневниот престој е поделена на две етапи:

1. Насочени активности
2. Други активности

### 1. Насочени активности

Насочените активности се поврзани со образованието на ученикот, организирањето и реализирањето на истите секогаш е поврзано со наставната програма.

Од тука потекнува потребата за континуирано следење на наставата од наставникот кој работи во дневниот престој, односно тој мора да го прати начинот на нејзината реализација, употреба на наставните средства, методите кои се користат, целите и задачите кои се реализираат.

На тој начин се констатираат целите и задачите кои се реализираат во дневниот престој (насочените активности).

Според своите содржини, наставните активности наложуваат реализирање на многу цели и задачи.

**Цели и задачи**

- Обработка на домашните задачи;
- Проверка на домашните задачи;
- Насочување, мотивирање и помагање на пооделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини;
- Изработка на пообемни и посложени задачи за учениците кои без потешкотии ги совладуваат наставните содржини;
- Дополнување на наставните содржини;
- Проширување на наставните содржини;
- Проверка на знаења;
- Вежби;
- Мотивирање на учениците за меѓусебна помош во учењето;
- Изнаоѓање на нови и посовремени начини за реализација на домашните задачи и активностите кои се поврзани со наставните содржини како ИКТ и методи од активната настава.
- Оспособување за самостојна работа на учениците;
- Оспособување за самостојно проверување на изработеното и научената;
- Индивидуален пристап во работата со учениците;
- Контролирање и координирање на успехот на учениците.

**Средства и методи**

Сите овие цели и задачи кои произлегуваат во текот на работењето и реализирањето на активностите бараат примена на најразлични средства и методи и различен приод во работата.

- Индивидуална работа
- Работа во парови
- Групна работа
- Активна настава

Наставни средства: наставни ливчиња, енциклопедии, друга литература, дигитални софтвери, ТВ, компјутери и др.

**2. Други активности**

Другите активности се збир од најразлични видови активности каде што доаѓа до израз слободата на личниот избор на учениците.

Овие активности најчесто се оформуваат по желба на учениците, но сепак тие се мотивирани и поттикнати од наставникот. Целта на слободните активности е преку нив учениците се одмараат, релаксираат и опуштаат.Тие сами одбираат со какви активности ќе се занимаваат им се дава до знаење дека дневниот престој е место различно од

наставата, дека тука можат да си играат, да се забавуваат и да се го продлабочуваат меѓусебното другарување и почитување.

Слободните активности се реализираат преку насочување на интересни содржини, стекнување на навики и убаво воспитување.

Поради разновидноста на слободните активности тие се поделени на неколку области:

- Здравствено-физичко подрачје;
- Научно-техничко;
- Уметничко-естетско;
- Општествено подрачје.

**Здравствено-физичко подрачје**

Ова подрачје опфаќа активности што се од областа на спортот и телесна атлетика, мал фудбал, ракомет, кратки излети, игри за развивање на моториката, штафетни игри, натпревари, ритмички и народни игри, игри на снег, игри со коцки, игри за размислување (шах, не лути се човеку, сложувалки, монопол, карти,..), гледање ТВ, слушање музика и разни емисии, работа на компјутер.

Сите овие активности се изведуваат во:училница, фискултурна сала, во училишниот двор или во блиската околина.

**Цели и задачи на здравствено-физичките активности се:**

- правилен физички развој и оформување на телото
- усвојување на извесни знаења и вештини од спортот
- одмор и рекреација пред и по наставата
- стекнување на чувство за организација во игрите
- изградување навики за културно однесување во слободното време
- воведување во разни видови игри
- изградување на навики за одржување на здравјето и хигиената
- изградување на правилен однос кон другарчињата
- развивање на моториката
- развивање натпреварувачки дух
- изучување на разни народни игри и танци
- изучување на ритмички чекори комбинирани со музика.

**Научно-техничко подрачје**

Ова подрачје опфаќа активности поврзани со науката и техниката. Реализирањето на темите на научно-техничко подрачје се организира преку разни математички игри, игри со содржини од познавање на природата и општеството (крстозбори,

загатки, квизови, ребуси, натпревари на групи) преку компјутерски софтвери, користење на интернет,користење на техники на активна настава, преку изработка на албуми и проектни задачи, гледање на филмови.

**Цели и задачи за научно-техничко подрачје:**

- Да се развие интерес кај учениците за науката
- Поттикнување за проширување на знаењата дадени во содржините на наставните
- Развивање на претприемачки вештини
- Развивање на способност за самостојно истражување, учење и самооценување
- Развивање на креативноста кај учениците
- Надградување на учениците со вештини преку игра и забава.

**Уметничко-естетско подрачје**

Ова подрачје содржи активности поврзани со уметноста, со сите нејзини допирни точки најразлични видови активности кои го будат чувството за убаво кај учениците.

За таа цел се организираат изложби, се формираат драмски, пеачки и рецитаторски групи, се следат училишни емисии, се слуша музика од секаков вид, се пишуваат состави и други лични творби, натпревари во пеење, сликање и друго.

**Цели и задачи за уметничко-естетско подрачје**

- Да се оформи чувство за разликување на убавото и грдото
- Развивање на интерес кон музиката и ликовната уметност
- Развивање на критички осврт кон квалитетно изработени творби
- Развивање на навики за континуирано уредување на просторот во кој престојуваат
- Развивање на претприемачки вештини
- Развивање на вештини за користење на интернет, користење на техники на активна настава, преку изработка на албуми и проектни задачи

**Општествено подрачје**

Ова подрачје се реализира преку следните активности: означување на поважните историски датуми, посета на културни и историски споменици, изработка на плакати, паноа, албуми, организирање на хуманитарни акции, посета на болни другарчиња ,учество на детски маскенбал.

**Цели и задачи за општествено подрачје:**

- Социјализација
- Изградување на навики за културно однесување во разни средини

- Почитување на други религии
- Формирање на културно-хигиенски навики,
- Формирање на работни навики
- Формирање на почит кон нашето минато, нашата татковина и борците за слобода
- Формирање на иницијативност, самостојност и самокритичност
- Перманентно грижење за добиените задачи и задолженија и нивно одговорно решавање.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Соработка со родителите се реализира преку организирани групни родителски средби и индивидуални родителски средби.

Средбите со родителите се од големо значење за успехот и поведението на учениците и општо за нивната работа во дневниот престој.

Соработката со родителите треба да се реализира преку активно учевството на родителите во училишните и вонучилишните активности.

Соработката со родителите се организира поради:

- Запознавање на родителите со условите во дневниот престој
- Запознавање со начинот на кој ќе бидат згрижени учениците
- Запознавање со активностите кои се реализираат во дневниот престој,во училишните и вонучилишните активности
- Запознавање со успехот на ученикот во реализирањето на домашните задачи и другите активности
- Консултирање за заедничко помагање кај пооделни проблеми
- Запознавање со степенот на социјализација на ученикот во училишната средина
- Добивање повратни информации од родителот за некои специфични особини во личноста на ученикот за поуспешна комумикација со него
- Запознавање со некои специфични карактеристики (здравствени или семејни)
- Запознавање со одредени нешта кои ученикот е склон или надарен, заради нивното продлабочување.

Наставникот од дневниот престој претставува мост помеѓу родителот и одделенскиот наставник.

## СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Соработката со наставниците е исто така од големо значење. Пред се поради надополнување на наставниците чии ученици посетуваат дневен престој со сознанија за успехот во образовниот и воспитниот процес.

Потоа поради потполнување на одделенскиот наставник во индивидуалната работа со учениците,а потоа и заради доаѓање до сознанија за успехот и поведението на ученикот во наставата за поуспешна работа во дневниот престој.

За постигнување на што повисок успех и стекнување на учениците со потрајни знаења пожелно е наставникот од дневниот престој повремено да ги посетува своите ученици во редовната настава.

## СОРАБОТКА СО ДИРЕКТОРОТ, ПЕДАГОГОТ, ПСИХОЛОГОТ, ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Соработката со директорот, педагогот, психологот е од големо значење поради професионално напредување на наставниците во продолжен престој, а со тоа и поголем успех кај учениците. Потоа поради потпомагање на наставникот во продолжен престој во индивидуалната работа со учениците, како и воопшто поуспешна работа во продолжен престој.

## ЦЕЛИ НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ

**Друштвеност**

Децата постојано учат за нивниот свет и како да се однесуваат со другите. Желбата на децата да се поврзат со другите, ги мотивира да учат и им дава сигурност да пробуваат нови работи. Целта во продолжениот престој е да се оспособат учениците да функционираат како самостојни поединци во групата. На тој начин ќе се развива колективниот дух или заедничките активности ќе ги остваруваат со различни возрасти на деца.

**Емоционалност**

Кога зборуваме за емоционалниот развој мислиме на зголемените можности на учениците:

- Да ги идентификува и разбира своите чувства.
- Точно да ги препознаваат и разбираат чувствата на другите.
- Да го контролираат начинот на кој се чувствуваат.
- Да го обликуваат начинот на кој се однесуваат.
- Да се соживуваат со другите.
- Да градат и одржуваат добри односи со пријателите, семејството и другите.

Негативните емоции преку игра, комуникација или музика да се насочат во позитивна насока. Целта е децата да се ослободат од уморот, напнатоста и да формираат позитивен став кон наставата во продолжен престој.

**Креативност**

Важно е да се мотивира креативноста кај секој ученик. Различните активности ќе овозможат секој ученик да ги покаже своите индивидуални способности. Посебно внимание треба да се посвети на детските изработки кои треба да се истакнат на паноа или мали изложби.

**Учење и откривање**

Целта е да се насочат учениците за користење информации од повеќе извори: читање, телевизија и користење копмјутери.

- Ученикот да го запознае светот на литературната и народната книжевност.
- Развивање на фантазијата во говорното творештво;
- Читање и анализа на сликовници, книги, лектири и енциклопедии како извор на знаења;
- Читање и анализа на сопствени поетски и прозни творби;
- Употреба на детски списанија (детски печат);
- Поставување на прашања и давање соодветни одговори на поставените прашања;
- Продлабочување на соработката со библиотеката во училиштето, зачленување на учениците во неа и користење на книги.
- Драматизација на пишан текст;
    - Куклена претстава;

**ПРИДОБИВКИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ИЗРАБОТУВАЊЕТО НА ДОМАШНИТЕ ЗАДАЧИ**

Повеќето истражувања направени за домашните задачи докажале дека учениците имаат голема корист од решавањето на домашните задачи. Придобивките од изработката на домашните задачи се во тоа што кај нив се поттикува и се развива независност, одговорност, се развиваат организациските и управувачките вештини, а се стекнуваат и работни навики.

Истражувањата покажале дека кога учењето продолжува и во продолжен престој како и во домот, се добиваат попозитивни резултати, како на пример:

- Да развиваат вештини и способности за саморасудување и саморазмислување;
- Да стекнува позитивен став кон училиштето;
    - Да остварува поголема кохезија меѓу училиштето и домашната средина;

Домашните задачи се важна алатка за наставниците во следењето на учениците за разбирањето на содржините, за степенот на поставените вештини. За децата од помала возраст домашните задачи треба да бидат во вид на игра, со цел развивање на нивните способности и вештини.

## ПЛАН ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ

| **Содржина** | **Време на реализаиција** |
|---|---|
| Меѓусебно запознавање | септември |
| Запознавање со просториите за продолжен престој | |

| | |
|---|---|
| Запознавање со редот и кодекс на однесување во училиштето | |
| Писмена и илустративна вежба<br>"Доживувања од летниот распуст" | |
| Творење по повод “Денот на независноста на Р.С.Македонија” | |
| Уредување на пано за продолжен престој | |
| Илустрација на гроздобер | |
| Посета и функција на библиотека | |
| Гледање ТВ емисии | |
| Изработка на плакат “Традиционална храна во нашата земја” | |
| Правила на однесување во училница | |
| Читање на книги по избор на ученици | |
| Ликовна творба- „Боите на есента“ | |
| Литературна творба „Есен“ - ИКТ | |
| Слушање музика по избор на учениците-МИО | |
| Работа со разновидни техники (колаж, молив, фломастер) | |
| Собирање и одземање – вежби (вежби со операции) | |
| Читање на народни поговорки и мудрости | |
| Прераскажување и илустрација на текст по избор на наставникот | |
| Спортски игри- кошарка | |
| Бонтон | октомври |
| Дали нешто ме загрижува во училиште -разговор (превенција од насилство) | |
| Читање на детски печат | |
| Умам да се извинувам и примам извинување -разговор | |
| Конструктивни игри | |
| Илустрација на есенско овошје и зеленчук | |
| Разговор- Зошто се прославува празникот “11 Октомври- ден на востанието на Р.Македонија” | |
| Изработка на плакат „Симболи на мојата татковина“ | |
| Активности по слободен избор | |

| | |
|---|---|
| Читање и прераскажување на непознат текст | |
| Повторување на геометриски форми | |
| Сообраќајни правила и прописи | |
| Народни носии во нашата татковина | |
| Илустрација –Мојот град | |
| Изработка на албум „Убавините на Македонија“ | |
| Реферат -Ден на Македонската револуционерна борба | |
| Вработени во училиштето –Посета на директор и стручна служба | |
| Народни ора- Македонско девојче | |
| Драматизација-водители ,новинари и глумци | |
| Писмено и усно прераскажување на обработен текст | |
| Опис на растенија, предмети и животни | ноември |
| Моделирање и обликување | |
| Слушање музика и кореографија на песна | |
| Писмена вежба „Еден дождлив ден“ | |
| Диктат | |
| Натпревар во мал фудбал меѓу одделенија | |
| Зошто го славиме 13 Ноември –Ден н ослободување на град Скопје- разговор | |
| Творби по повод 13 Ноември | |
| Илустрација по слободен избор (творби за Скопје) | |
| Матемтички квиз | |
| Игра –Ден и ноќ, Музичко столче | |
| Лична хигиена -разговор | |
| Слушање музика по избор | |
| Читање на народни поговорки и мудрости | |
| Детско списание -детски печат | |
| Декорирање предмети за секојдневна употреба | |
| Прераскажување на текст | |
| Изработка на 3Д Форми -хартија | |
| Разговор за обврски во училиштето | |
| Игра „Топло - ладно“ | |
| Партер вежби -одење по греда, колут напред | |

| | |
|---|---|
| Задачи со собирање и одземање преку игра | |
| Анимиран филм со животни | декември |
| Разговор за правата на децата (превенција од насилство) | |
| Ритмички игри во сала (кореографија на дадена песна) | |
| Игри по слободен избор | |
| Емоции – радост, тага, страв | |
| Читање литературни творби по повод празникот „Климент Охридски“ | |
| Гатанки,поговорки и брзозборки | |
| Работа со весник (сецкање, лепење) | |
| Вежби за правилно обликување на телото | |
| Народни танци,ора од разни краеви на Македонија | |
| Зимски игри - игри на снег | |
| Изработка на новогодишни украси и декорација | |
| Математика низ игри-меморија ,поголемо-помало | |
| Раскажување на доживеан зимски ден | |
| Изработка на новогодишни украси - пластелин и др. | |
| Вежби за пресметување на време и ориентација во простор | |
| Доврши ја приказната... | |
| Ликовна творба - “Зимски пејсаж” | |
| Новогодишни празници – уредување на училницата | |
| Прославување на Новата година | |
| Говорна вежба- Како ги прославивме празниците Бадник и Божиќ | јануари |
| Писмена вежба –Доживувања од зимскиот распуст/ Илустрација на Зимски пејсаж; | |
| Превенција од насилство (права на децата) | |
| Натпревар – дигање и носење | |
| Читаме книги | |
| Конструктивни игри- Сложувалки | |
| Натпревар по брзо и точно читање | |
| Работилница „Решавање на конфликти“ | |
| Игри по слободен избор; | февруари |
| Почитување на луѓе и предмети-разговор (превенција од насилство) –драматизација; | |
| Следење на приказната: „Аладин и волшебната ламба„ | |

| | |
|---|---|
| Игра за размислување – Не лути се човече | |
| Игри во фискултурна сала | |
| Боење во боенки; Цртање во блок бр: 4 техника: водени боици; тема по избор на учениците. | |
| Натпревар во убаво читање и илустрирање на читаното | |
| Изработка на геометриски фигури; | |
| Следење македонска народна приказна; | |
| Натпревар во дигање и носење на топка; | |
| Слушање музика - МИО | |
| Вежби за развивање способности на решавање на конфликти | |
| Читање, прераскажување и илустрација на приказната по избор на учениците; | |
| Изработка на фигури од макарони; | |
| Ритмички вежби илустрирани од слушана музика (кореографија ) | |
| Состави текст на тема :„ДРУГАРСТВО“ – Опис;<br>Илустрација: „Моето најдобро другарче” | |
| Другаруваме со забавната страна од „Детскиот печат“ | |
| Ликовна творба: „Игри на снегот” | |
| Разговор –„Мојот омилен суперхерој“ | |
| Работилница „Како до поубав збор“ | |
| Драматизација на новинари- состави текст; | |
| Игри во училница - карти | март |
| Изработка на 3Д цветови од хартија | |
| Натпревар во брзо и точно читање | |
| Читање и творење песни за мајката | |
| Изработки на честитки за 8-ми Март | |
| Одбележување на 8 Март денот на жената-читање на реферат | |
| Естетско и културно однесување (примање и давање подарок) | |
| Натпревар - брза географија | |
| Опис на омилен лик од лектирно издание | |
| Цртање пејсаж | |
| Мал фудбал – училишен двор | |
| Весници на пролетта-творби од учениците | |
| Текстуални задачи-вежби | |

| | |
|---|---|
| Еко пораки- изработка на плакат | |
| Одбележување на денот на пролетта и екологијата | |
| Украсување на училницата за денот на пролетта | |
| Песни за пролетта - детски печат | |
| Сликање на расцветано дрво | |
| Дешифрирај ја пораката - математички поим | |
| Игри во природа | |
| Одбележување на денот на шегата „1 Април“ - изработка на маски/ Илустрација на маскенбал | |
| Читање реферати по повод патронатот на училиштето | април |
| Прераскажување на текст по избор на ученикот | |
| Напиши песна од своето име (Акростих) | |
| Препознавање на букви (латиница и кирилица) | |
| Изработка на сликовница по избор на ученикот | |
| Нашите сличности и разлики (МИО) | |
| Цртање и боење на изучени букви (латиница и кирилица) | |
| Гледање Македонски народни приказни – смарт табла | |
| Драматизација на текст | |
| Вежби за изразно читање | |
| Природата се буди (напиши песна) | |
| Креативности-Направи сам... | |
| Писмена вежба „Пролет“ | |
| Моето семејство | |
| Соодветно и несоодветно однесување кон планетата Земја | |
| Творење по повод Денот на планетата Земја 22 Април – илустрација | |
| Играме игри со пари (монети и банкноти) | |
| Моите обврски дома | |
| Работилница „Моите чувства – кога сум тажен/на“ | |
| Работилница „Моите чувства – кога сум среќен/на“ | |
| Граматички вежби – именки, глаголи, придавки и др. | |
| Разговор – Ден на трудот; Писмен состав – Излет | |
| Изработка на велигденски украси | |

| | |
|---|---|
| Велигденски песни | |
| Впечатоци од Велигден | |
| Слушање музика од детски фестивал | |
| Ликовна творба – Пролетни цветови | |
| Игри во училишен двор | |
| Игри со лего коцки | |
| Куклена претстава | |
| Ликовна творба – Мајски бумбари | |
| Читање литературни творби | |
| Анимиран филм-ТВ | |
| Илустрација на овошје и зеленчук | |
| Игри во училишен двор: Фудбал и др. | |
| Читање на гатанки | мај |
| Литературно читање "Првите македонски учители Кирил и Методиј" | јуни |
| Раскажување по слики | |
| Пеење на песнички по избор на учениците | |
| Слободна игра и рекреација во училишниот двор | |
| Размислување за своите постапки во текот на учебната година - разговор (превенција од насилство) | |
| Изработка на плакат по избор на учениците | |
| Ориентација во просторот и времето: Календар (изработка) | |
| Здрава храна (разговор и илустрација) | |
| Вежби во читање и пишување; | |
| Спортски игри во училишен двор; | |
| Разговор- како ќе го поминам летниот распуст; | |
| ЛЕТЕН РАСПУСТ ДОЈДЕ ДЕЦА МИЛИ (нашиот последен ден во училиште-забава со слушање и играње на детски песнички) | |

Забелешка: Може да има промени во предвидените содржини поради интересот на учениците или други актуелни случувања

**Одговорни наставници: Лили Подолешова и Тамара Димитриевска**

**Прилог 8: Годишна програма за работа на Училишен одбор**

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој своите надлежностите ги врши во согласност со Деловодникот и Правилникот за работа.

Составот, надлежностите и задачите на Училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето.

Основна цел на Училишниот одбор е: заштита на законитоста во работата, заштита на правата на сите учесници во воспитно-образовната работа, јавност и транспарентност во работата, навремено и правилно информирање, усогласување на актите со законски одредби поради непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето.

**Јуни**

1. Изготвување на плановите во првична верзија со сите релевантни фактори (директно вклучување на сите членови на училишниот одбор). Предлог Програма за работа на Училишниот одбор за наредната учебна година;
2. Тековни прашања.

**Јули**

1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на училиштето;
2. Усвојување на Програмата за ученички екскурзии, излети и други слободни активности на учениците;
3. Разгледување и давање на мислење за нацрт верзијата на Годишната програмата за работа на училиштето (коментари и предлози) -индивидуална акумулација;
4. Тековни прашања.

**Август**

1. Усвојување на Годишната програма за работа на Училишниот одбор;
2. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето и предлагање за усвојување до основачот;
3. Разгледување на финансискиот план за работење на училиштето;
4. Донесување Одлука за издавање на училишен простор на користење, училишна исхрана и ужинки
5. Донесување одлука за набавки, користење основни средства
6. Усвојување на состојбата со работните места според Законот за основно образование, Закон за работни односи, Колективен договор.
7. Тековни прашања.

**Ноември**

1. Разгледување на извештај за работата на училиштето во првото тримесечие од учебната 2023/2024 година;
2. Формирање пописни комисии;
3. Тековни прашања.

**Декември**

1. Предлага финансов план за работа на ООУ„Наум Наумовски-Борче“ до основачот;
2. Разгледување на извештај за работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2023/2024 година;
3. Тековни прашања.

**Јануари**

1. Разгледување на годишната пресметка за материјално-финансиското работење на ООУ„Наум Наумовски-Борче“ во календарската 2023 година;
2. Разгледување на иницијативи од Совет на родители
3. Тековни прашања.

**Февруари**

1. Разгледување и усвојување на годишната, завршна пресметка за материјално-финансиското работење на ООУ„Наум Наумовски Борче“;
2. Разгледување на полугодишниот извештај за работата на ООУ „Наум Наумовски Борче“ во учебната 2023/2024 година;
3. Разгледување за пописот на средства за 2023 година
4. Тековни прашања.

**Април**

1. Разгледување на извештај за работата на училиштето во третото тромесечие од учебната 2023/2024 година;
2. Информација за реализација на планираните екскурзии;
3. Тековни прашања.

**Мај**

1. Евалуација, резултати и постигнати ефекти од изминатата година;
2. Предлози и препораки од тимот (подобрување на квалитетот на наставата);
3. Разгледување и усвојување на извештајот од реализираните екскурзии;
4. Согледувања од реализација на проекти.

Училишниот одбор одржува и други состаноци по потреба и решавање на прашања во рамките на своите законски овластувања.

## План за работа на Училишен одбор

| Содржина на активностите | Време | Реализатори: |
|---|---|---|
| Усвојување на Извештајот за работата на училиштето во – I полугодие и Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2023/2024 година | I-II<br>VII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Предлог Програма за работа на УО во учебната 2023/2024 година | VII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување и донесување Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година | VIII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Анализа на потребните инвестициони вложувања | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Предлага финансов план за работа на ООУ до основачот | XII | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Попис, отпис и расходување, амортизиран инвентар | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Донесување одлука за набавка и користење потребни средства | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување на Правилници, акти и други прописи и нивно усогласување со законската регулатива | Тековно | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување на финансовиот извештај и други извештаи за материјално - финансиското работење на училиштето | I -II | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Разгледување и усвојување на годишната, завршна пресметка за материјално - финансиското работење на ООУ„Наум Наумовски Борче“ | I-II | Членови на Училишниот одбор, директор |
| Евалуација на самоевалуација и развојни цели на училиштето | цела година | Директор, членови на Училишниот одбор |

**Забелешка:** Во оваа предлог програма се опфатени состаноци и дневниот ред за работа кои можат претходно да бидат програмирани.

Претседател на Училишен одбор: Горан Готиќ

## Прилог 9: Годишна програма за работа на Совет на родители

Во целокупната работа на училиштето како и во реализација на Годишната програма како орган постои Советот на родители. Тие се вклучени во процесот на позитивни промени кои се случуваат во нашето училиште.

Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката. Родителите како интегриран дел на училиштето може да учествуваат во организација на Отворени денови и часови, во реализација на проекти, вклучени како гости, предавачи на најразновидни теми, да дадат учество во најразлични акции за одржување на училишниот двор, хуманитарни акции, да даваат предлози и идеи за задоволување на потребите на учениците на ниво на училиштето. Три претставници од Советот на родителите се вклучени во Училишниот одбор како орган на управување на училиштето.

**Советот на родителите ги врши следните работи:**

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа; програма за екскурзии, излети и други слободни активности;
- расправа за извештајот за работата на училиштето;
- дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа;
- учествува во самоевалуација на работата и постигањата на училиштето;
- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето;
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник;
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето;
- зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и сл.
- учествува во изборот на агенција и правци на патување за екскурзии;
- врши и други работи утврдени си статут на училиштето;

| Оперативна програма за работа на Совет на родителите | | |
|---|---|---|
| **Содржина на активностите** | **Време** | **Реализатори** |
| **Административно - правни работи** | | |
| Утврдување на избор на членови на Совет на родители | Септември | Директор, Стручна служба, Совет на родители |
| Запознавање со состојбата во текот на летниот распуст | | |
| • Дава мислење за програма за екскурзии, излети и други воннаставни активности<br>• Дава мислење за предлог програмата на училиштето<br>• Донесување на програма за сопствената работа | Јули-август | |
| Информирање за годишниот извештај за работата во учебната 2023/24 година | јуни | |
| Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на училиштето | Јуни | |
| Запознавање со планирани Воннаставни активности. | тековно | |
| Запознавање со активности од проекти, МИО активности | тековно | |
| **Теми од образовната дејност** | | |
| Иницирање на родителите да дадат свои предлози за унапредување и организација на животот во училиштето | Тековно | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| Тековни и нови Проекти - цел и предности | | |
| Родителски средби, одбирање теми и реализирање работилници (со родителите) | Тековно | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| Одговор на прашањата поставени од претставници на родителските совети на паралелките. | | директор, наставници |
| **Воспитни теми** | | |
| Запознавање со куќниот ред и негово почитување | IX | Наставници |
| Запознавање со кодексот на однесување во училиштето; протоколи | IX | родители, наставници, ученици |

| | | |
|---|---|---|
| Запознавање на родителите со Правилникот на училиштето за педагошки мерки - награди, пофалби и казни | IX | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| Анализа на успехот и поведението на учениците и превземање мерки за подобрување. | Тековно | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| **Консултативни теми и предавања** | | |
| Презентирање стручни теми | Тековно | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници, надворешни консултанти |
| Вклученост на родителите во активности на училиштето (ЕКО, МИО, проекти) | Тековно | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| Предавања иницирани од страна на родителите | Тековно | |
| **Стандард на учениците** | | |
| Исхрана на учениците | IX | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| Ученички екскурзии<br>-избор на членови за комисија за потребите на училиштето и потребите на учениците | тековно | |
| Зимувања и летувања | | |
| Посети и набљудениј̀а | тековно | |
| Подготовки за патрон празник на училиштето | III | |
| Училишно фотографирање | XII, V | |
| Полуматурска вечер | VI | |

| | | |
|---|---|---|
| Подобрување на условите за работа на училиштето<br>- Набавка на нагледни средства<br>- донации доброволно од страна на родителите | IX – VI | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| **Хуманитарни работни акции** | | |
| Собирни акции | Тековно | Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници |
| Помош на учениците кои се социјално загрозени | | |
| Организирање на продажни хепенинзи и акции за разубавување на училиштето и училишниот двор. | | |

Претседател на Совет на родители: Наташа Стојмиров

## Прилог 10: Годишна програма за работа на Наставнички совет

Наставничкиот совет го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот. Задачи на Наставничкиот совет се:

- организација на воспитно-образовната работа
- потврдување на успехот и поведението на крајот од првото и третото тримесечие
- го разгледува и утврдува успехот и поведението на учениците
- утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставните предмети и воннаставните активности, по предлог на директорот на училиштето
- разгледување на молби од родители и ученици
- избирање претставници во училишниот одбор од редот на наставниците и стручните соработници
- распоредување на раководители на паралелките
- усвојување на распоредот на часовите
- усвојување на распоредот на екскурзии
- мислење по предлогот на програмата за развој и на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување,
- им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште,
- го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување,

- донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки,
- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки,
- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа,
- дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето,
- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето,
- одлучува за воспитни мерки и – врши и други работи утврдени во статутот на училиштето.
- разгледување и усвојување на извештаи, анализи, информации и сл.
- информација за инвестициони активности
- наставничкиот совет се грижи за реализирање на програмата за работа за стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар и дава предлози за напредување на наставниците и стручните соработници на училиштето

Наставничкиот совет е иницијатор на осовременување на наставниот процес, затоа се залага за примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата.

Како највисок стручен орган се ангажира во остварувањето на задачите што произлегуваат од општата програмска структура. Една од тие задачи секако е следењето и подобрувањето на квалитетот на наставниот процес, како и следењето на слободните ученички активности, ученички организации, јавна и културна дејност, грижа за здравјето на учениците и друго. Наставничките совети секогаш биле збогатувани со најразлични теми и содржини кои биле во интерес на унапредувањето на наставниот процес.

Секако значајно место на нашите наставнички совети биле реализациите на постигнатите успеси и поведението на учениците на тримесечието, полугодието и крајот на учебната година. Од направената анализа се согледува моменталната состојба на успехот и поведението на учениците и се бараат соодветни форми , методи и средства за нивно подобрување. Следејќи го успехот и поведението на учениците дава предлози за нивно наградување како и опоменување врз основа на Правилник.

| Активности | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|
| ➢ Организација на работата на училиштето за учебната 2023/2024 година<br>➢ Разгледување на Програмата за екскурзии, излети и други слободни активности изготвени од страна на стручниот тим;<br>➢ Разгледување и усвојување на годишната програма за работа на училиштето за учебна 2023/2024 година со прилозите<br>➢ Информации за семинари за наставниците | директор<br>стручни соработници<br>наставници | Август |
| ➢ Посета на овластениот просветен инспектор на општина Гази Баба за согледување на условите и подготвеноста за почеток на учебната 2023/2024 година<br>➢ Информирање за организација на наставата во учебната 2023/2024 година;<br>➢ Организација на работа во одделенска и предметна настава, паралелки, распоред на училници и кабинети;<br>➢ Организирање свечена приредба за првачињата; | директор<br>стручни соработници<br>наставници, ОПИ | Август |
| ➢ Информација за родителски средби и семинари од наставниците<br>➢ Насоки за пополнување на педагошката документација;<br>➢ Одредување на наставници одговорни за преглед на Е-дневникот;<br>➢ Формирање на тимови по подрачја одговорни за реализација; | директор<br>стручни соработници<br>наставници | Септември |
| ➢ Информации за активности во рамките на екстерните и интерните проекти<br>➢ Избор на претставник во училишниот одбор | директор<br>стручни соработници<br>наставници | Октомври |
| ➢ Извештај за успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие од учебната 2023/2024 година, реализација на програмата<br>➢ Информации -родителски средби | директор<br>стручни соработници<br>наставници | Ноември |
| ➢ Информирање по задолженија на наставници | директор | Декември |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Подготовка за активности на крај од прво полугодие | стручни соработници наставници | |
| ➢ Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото полугодие | директор стручни соработници наставници | Јануари |
| ➢ Разгледување и усвојување на полугодишниот извештај за работата на училиштето<br>➢ Информација за резултатите од успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие | директор стручни соработници наставници | Јануари |
| ➢ Подготовки за реализација на активностите по повод Ден на екологија<br>➢ Организација и план за одбележување на патрониот празник на училиштето. | директор стручни соработници наставници | Март |
| ➢ Усвојување на извештајот за резултатите од успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие од учебната 2023/2024 година<br>➢ Реализација на наставен план и програма | директор стручни соработници наставници | Април |
| ➢ Разгледување и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците одделение на крајот од учебната година<br>➢ Реализација на наставниот план и програма | директор стручни соработници наставници | Јуни |
| ➢ Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на училиштето<br>➢ Информација за успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година | директор стручни соработници наставници | Јуни |

Одговорни: директор, стручни соработници, наставници

## Прилог 11: Годишна програма за работа на Одделенските совети

Одделенскиот совет претставува колективен стручен орган чија основна стручна дејност е унапредување на воспитно-образовниот процес во паралелките. Во работата на одделенскиот совет освен одделенските раководители и предметните наставници земаат учество директорот и стручните соработници на училиштето.

Во учебната 2023/2024 година ќе се реализираат 4 редовни одделенски совети, а по потреба и повеќе. Во работата на одделенските совети посебно ќе се обрне внимание на реализацијата на наставните планови и програми и на следењето на ефектите од реализацијата на целокупниот развој на учениците (емоционалниот, социјалниот и образовниот развој).

Главни содржини што ќе се реализираат на состаноците на одделенските совети се:

- Реализација на наставните програми
- Разгледување на успехот и поведението на учениците
- Подготовки за одржување на родителски средби
- Тековни активности и нивна реализација

| Програма за работа на Одделенски Совет I-V одделение | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Содржина** | **Реализатор** | **Време на реализација** |
| 1. | • Информација за структурата на паралелките во прво одделение<br>• Разгледување на бројната состојба на учениците по одделенија, со посебен осврт на распределбата на учениците во прво одделение.<br>• Планирање на воннаставната воспитно-образовна дејност. | Директор, одделенски наставници, стручни соработници | Август |
| 2. | • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие од учебната 2023/2024 година<br>• Информација за реализирањето на наставните програми<br>• Организирање помош за учениците кои потешко напредуваат во наставата- согледувања од реализацијата на дополнителната настава.<br>• Информација од одржани родителски средби | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие<br>• Информација за реализирањето на наставните програми во текот на првото полугодие.<br>• Подготовки за почеток на второто полугодие. | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Јануари |
| 4. | • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие од учебната 2023/2024 година<br>• Информација за реализација на наставните програми во текот на овој период. | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Април |
| 5. | • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година<br>• Предлог за пофалба и наградување на учениците кои посебно се истакнале во наставата и воннаставните активности. | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Јуни |

| **Програма за работа на Одделенски Совет VI - IX одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден бр.** | **Содржина** | **Реализатор** | **Време на реализација** |
| 1. | • Размена на информации помеѓу наставниците од одделенска настава и одделенските раководители за учениците во VI одд.<br>• Информирање и разгледување на можните измени/ прилагодувања во наставните програми.<br>• Планирање на воннаставната воспитно-образовна дејност.<br>• Усогласување на планирањето на писмените работи. | Директор, одделенски наставници, стручни соработници | Август |
| 2. | • Разгледување и анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците во текот на првото тромесечие | Директор, | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | од учебната година, со посебен осврт на учениците кои покажуваат послаби резултати.<br>• Информација за реализација на наставните програми во текот на овој период.<br>• Ефекти од реализацијата на дополнитената настава. | одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | |
| 3. | • Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие<br>• Информација за реализирањето на наставните програми во текот на првото полугодие.<br>• Подготовки за почеток на второто полугодие. | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Јануари |
| 4. | • Разгледување на успехот,поведението и редовноста на учениците на крајот од третото тримесечие од учебната година<br>• Информација за реализација на наставните програми во текот на овој период.<br>• Опфатеност на учениците во рамките на дополнителната настава и ефектите од нејзиното одржување. | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Април |
| 5. | • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година<br>• Предлог за пофалба и наградување на учениците кои посебно се истакнале во наставата и воннаставните активности. | Директор, одговорни наставници на стручни активи Стручни соработници | Јуни |

## Прилог 12: Годишна програма за работа на стручните активи

### Програма за работа на Стручен актив на одделенска настава за учебната 2023/24 година

Основна цел на стручниот актив е унапредување на воспитно-образовниот процес, перманентна грижа за стручно усовршување на наставниот кадар и грижа за напредокот на учениците. Активностите кои ќе ги преземе активот во оваа учебна година произлегуваат од зацртаните приоритети на ниво на училиште:

- Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во воннаставните активности според пол, етничка припадност и деца со посебни потреби
- Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието
- Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците

| Реден број | Активности и содржини | Цели и задачи | Носители на дејноста | Време на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Конституирање на стручниот актив Разгледување и усвојувањена предлог годишните активности | Тимска работа и координираност | Одделенски наставници | Август | Соработка и планирање за успешна реализација на програмата. |
| 2 | Дисеминација на ТИМСС тестирањето, запознавање со содржинските и когнитивните подрачја, како и насоки за реализација на наставата. (TIMSS - Trends in International Mathematics and Science Study) | Цел на обуката: Запознавање со концептуалната рамка на ТИМСС 2023, Претставување на содржинските и когнитивните подрачја, Давање насоки за реализација на наставата за развивање на вештини за критичко и | Актив 5 одд и кординативниот тим | септември | Запознавање со концептуалната рамка на ТИМСС 2023, Претставување на содржинските и когнитивните подрачја, Давање насоки за реализација на наставата за развивање на вештини за критичко и креативно размислување, решавање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | креативно размислување, решавање проблеми и донесување заклучоци. | | | проблеми и донесување заклучоци. |
| 3 | Договор за Прием на првачињата во детската организација | подобрување на изгледот на училиштето во однос на информации и договор за уредување на паноата | Одделенски наставници<br>Директор<br>Стручна служба | Октомври | Континуирано и ефективно реализирање на активностите според потребите на училиштето, локалната самоуправа и пошироко. |
| 4 | Отворен час<br>Тема: БРОЕВИ И БРОЕЊЕ<br>Парни и непарни броеви (парен, непарен)<br>• Прави разлика меѓу парни и непарни броеви до 100. | *Целта на активностите е да прави разлика меѓу парни и непарни броеви до 100. | Марија Депиновска | Октомври | • Прави разлика меѓу парни и непарни броеви до 100. |
| 5 | Отворен час Сликање: основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во сликањето.<br>Запознавање со боите и тоновите во околината<br>ИКТ | Ги разликува боите и тоновите во околината и ги претставува со сликање.<br>- Го опишува изгледот на лисјата во есен.Изработуваат цртеж со мотив есен и есенски лисја. | Дијана Николовска | Октомври<br>4 недела | Ги разликува боите и тоновите во околината и ги претставува со сликање.<br>- Го опишува изгледот на лисјата во есен .Изработуваат цртеж со мотив есен и есенски лисја. |
| 6 | Дисрминација и споделување на Листа за инклузија базирана на МКФ<br>(ICF чек листа) | Изготвување на чек листа за деца со посебни потреби | Анета Пешевска | Ноември | Олеснување на водење на евиденција за напредокот на ученикот како помош при проценката на МКФ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Отворени часови -Традиционални јадења по повод најголемите верски празници | Запознавање на учениците со традиционалните јадења по повод најголемите верски празници Божиќ, Велигден и Рамазан Бајрам. | Актив 4 одд | Декември Јануари | Запознавање на учениците со традиционалните јадења по повод најголемите верски празници Божиќ, Велигден и Рамазан Бајрам. |
| 8 | Анализа на литературни текстови (тема, настан, лик, време, место) •Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини. | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини | Катерина Јовановиќ | Февруари | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини |
| 9 | Отворени часови математика од новата програма | | Актив 3 одделение | март | |
| 10 | Отворени часови- Историја и општество - Историски извори (материјални извори, пишани извори; археолошки наоѓалишта, архиви, музеи) | Ги поврзува различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат (архив, музеј, библиотека). Истражување- виртуелни посети на музеј -Државен архив на РСМ | Актив 5 одд | април | - Наведува примери за секој вид историски извор -Усни кажувања-легенди, митови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Отворен час<br>Општество -Сообраќај - Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот | Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот | Елена Мисајловска | мај месец | Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот |
| 12 | Извештај за работата на Стручниот Актив во учебната 2023/2024 година | Согледување и проценка на постигнатите резултати од работата на Стручниот актив<br>Предлози за измени и дополнувања на програмата за работа на Стручниот актив на одделенска настава за наредна учебна година | Одделенски наставници<br>Виолета Силјановска | јуни | Извештаи<br>Записници<br>Стручна литература |

Забелешка: Доколку има потреба оваа програма може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и се во согласност на активот и претседателот.

Претседател на актив: Виолета Силјановска

**Годишна програма за работа на стручниот актив за вештини во учебната 2023/2024 година**

**(музичко, ликовно, физичко и здравствено образование и вештини на живеење)**

| Ред. Бр. | Активности и содржини | Цели и задачи | Носители на дејноста | Време на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Конституирање на стручниот актив | Тимска работа и координираност | наставници | Јули | Соработка и планирање за успешна реализација на програмата. |
| 2. | Разгледување и усвојувањена предлог годишните активности.<br><br>Отворен час:<br>- Основи на Атлетика<br>- Скокање (запознавање со фазите на скокање - залет,одраз, лет и доскок, едноножен и двоножен одраз, техника на скок во височина „ножички“, скок во далечина од место, техника на скок во далечина со залет „згрчено“, скок во длабочина). | Континуирано и ефективнореализирање на активностите според потребите на училиштето, локалната самоуправа и пошироко.<br><br>-препознава и применува фази за изведба на низок старт и брзо трчање | Наставници, педагошко психолошка служба<br><br>Ученици, Наставник по физичко и здравствено образование Моника Гаврилоска | Август<br><br>Септември | Систематичност во работата.<br><br>-применува фази за изведба на низок старт и брзо трчање |
| 3. | Отворен час:<br>- Исхрана<br>- Составување на рецепт за омиленото јадење | -да знаат количински да измерат одредени продукти потребни за рецептот;<br>-да користи рецепт за подготовка на јадење; | Ученици, Наставник по вештини на живеење | Октомври | -знае количински да измери одредени продукти потребни за рецептот; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Отворен час:<br>- Креативно музичко изразување „Музичка математика“ - музички задачи со примена на сите нотни вредности (создавање, танцување , музички игри, чекорење) | -да подготвува омилено јадење;<br>- учествува во заеднички креативни музички активности.<br>- парафразира одредени музички модели во сопствено креативно изразување.<br>- го применува стекнатото знаење во сопствено креативно музичко изразување.<br>- нуди идеи за изведби со кои се поврзува музиката со други начини на креативно изразување | Билјана Дрвошанова<br><br>Ученици, Наставник по музичко образование Весна Трајковска | Октомври | -да се оспособат самите да си приготват некое јадење според рецепт;<br>-напишана тетратка со омилени јадења „Мои рецепти“;<br><br>- применува знаења при сопствено креативно музичко изразување.<br>- прикажуваат идеи за изведби со кои се поврзува музиката со други начини на креативно изразување |
| 4. | Отворен час:<br>- Слушање музика<br>- Усвојување на карактеристики на ударните инструменти со определена тонска висина преку музички примери / ИКТ | - да знае за карактеристиките на ударни инструменти со определена висина на тонот | Ученици, Наставник по музичко образование Весна Трајковска | Ноември | - препознава ударни инструменти соопределена висина на тонот (визуелно и по слух);<br>- опишува ударни инструменти со определена висина на тонот според формата и градбата;<br>-објаснува за начинот на произведување на тон кај ударните инструменти со определена висина на тонот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Отворен час:<br>- Цртање<br>- Степенување на тоновите | Учениците да се оспособат да:<br>-ја изразува пластичноста (тродимензионалноста) на облиците со степенување на тоновите<br>-користи плоштини со различен велерски интензитет и текстура при материјализација на предметите<br>-користи соодветни постапки за реализација на идејата во соодветен материјал<br>-знае постапки за тонирање на хартија, - креативно се изразува со користење на содветната техника на зададениот мотив | Ученици, Наставник по ликовно образование Марија Николоска Наневска | Декември | - учениците создаваат творби во кои користат материјализација<br>-учениците создаваат индивидуални творби во техника тонирана хартија<br>-учениците креативно се изразуваат во соодветната техника |
| 6. | Отворен час:<br>- Кошарка<br>- Основна техника - совладување на елементи од кошаркарска техника | -да се совладаат елементите од кошаркарската техника;<br>-да се совладаат вежбите при изведување на елементите | Ученици, Наставник по физичко и здравствено образование Александра Војнеска Зикова | Јануари | -учениците правилно ги изведуваат елементите;<br>-учениците правилно ги изведуваат вежбите при совладување на елементите |
| 7. | Априлијада, Велигден и други чествувања и празници | Негување на традицијата на празнување | Ученици, наставници | Февруари, Март, Април и Мај | Стекнување на културни навики, одбележување и чествување на празници. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Активности по повод денот на жената 8-ми Март и Денот на екологијата<br><br>Активности по повод Денот на училиштето: (музички, ликовни, спортски)<br><br>Учество на манифестации и натпревари (училишни, општински, градски, републички). | Креативност одговорност и соработка.<br>- препознава видови на пожари;<br>-објаснува причини и последици од пожари;<br>-разликува уреди и противпожарни апарати;<br>-практично да изведат некоја вежба<br>(се запознаат со спроведувањето на евакуацијата, согласно планот на училиштето).<br><br>Успешна презентацијана активностите проследена со одговорност.<br>Јавна презентација на севкупната работа по одредени наставни теми и содржини. | Ученици, наставници, соработници<br><br>Ученици, наставници, родители<br><br>Наставници од активот на уметничка група предмети и ученици | Март<br><br>Април<br><br>Февруари, Март, Април и Мај | Успешна презентација на активностите и афирмација на училиштето.<br><br>- готови проекти;<br>-совладани постапки за време на пожар.<br><br>Успешна презентација и афирмација на училиштето<br><br>Стекнување на искуства за јавни настапи, учество и освоени признанија и награди. |
| 9. | Отворен час:<br>- Графика<br>- Текстура во графиката | Учениците да се оспособат да:<br>- да ги надополни своите знаења за техниката линорез<br>-користи текстура во линорез<br>-создава скица за линорез | Ученици, Наставник по ликовно образование Никола Наневски | Февруари | -учениците создаваат текстура во линорез<br>-учениците отпечатуваат индивидуални творби со користење на графичката техника линорез<br>-учениците ги препознаваат материјалите и постапките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | печатење и знаат да ги користат правилно при печатењето |
| 10. | Отворен час:<br>- Танци<br>- Увежбување на основна техника на народно оро - пајдушко | -да се увежба техниката на македонско народно оро „Пајдушко“<br>-да се увежба правилното поставување на телото при македонско народно оро „Пајдушко“<br>-да се увежба правилното поставување на рацете при македонско народно оро „Пајдушко“<br>- да се увежба правилното поставување на нозете при македонско народно оро „Пајдушко“ | Ученици, Наставник по физичко и здравствено образование Дејан Боневски | Март | -се увежба техниката на македонско народно оро „Пајдушко“<br>-се увежба правилното поставување на телото при македонско народно оро „Пајдушко“<br>-се увежба правилното поставување на рацете при македонско народно оро „Пајдушко“<br>-се увежба правилното поставување на нозете при македонско народно оро „Пајдушко“ |
| 11. | Отворен час:<br>- Цртање<br>- Линија и композиција | Учениците да се оспособат да:<br>-знае што е линија<br>-знае што е композиција<br>-употребуваа разновидни линии<br>-ги комбинира ликовни елементи и принципи во композиција<br>-креативно се изразува со користење на различни видови на линии на зададениот мотив | Ученици, Наставник по ликовно образование Никола Наневски | Април | -создаваат линеарна композиција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Отворен час:<br>- Одбојка<br>- Увежбување на основна техника на одбивање на топка со чекан | -да се увежба правилното поставување на телото при одбивање на топка со чекан<br>-да се увежба правилното поставување на дланките при одбивање на топка со чекан<br>-да се увежба правилното исфрлање на топката при одбивање со чекан | Ученици, Наставник по физичко и здравствено образование Дејан Боневски | Мај | се увежба правилното поставување на телото при одбивање на топка со чекан<br>се увежба правилното поставување на дланките при одбивање на топка со чекан<br>се увежба правилното исфрлање на топката при одбивање со чекан |

Забелешка: Доколку има потреба оваа програма може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и се во согласност на активот и претседателот.

Претседател на актив: Дејан Боневски

**Програма на стручен актив на Јазично – општествена група предмети за учебната 2023/2024 година**

| Реден бр. | Наставна содржина | Цел на активноста | Време на реализирање Месец / година | Наставник/предмет |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Главни етички поими: добро-зло | Да се поттикнува на етички начин на мислење и морално однесување | Септември 2023 | Лилјана Стефановска (етика) |
| 2 | Македонците во рамките на соседните држави | Да се запознаат со историјата на македонскиот народ меѓу двете светски војни и положбата на Македонците во рамките на соседните држави | Октомври 2023 | Јовица Николовски (историја) |
| 3 | Акцентски целости | | Ноември 2023 | Сања Пецевски (македонски јазик) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да ги усвојат граматичките структури за акцентски целости и правилно да ги употребуваат | | |
| 4 | Holidays and traditions | Запознавање со културата, обичаите и празниците на својата и на другите земји | Декември 2023 | Снежана Поп Алексова - Боболеска (англиски јазик) |
| 5 | Дискриминација, стереотипи и предрасуди | Ученикот да се поттикнува да применува критички однос кон дискриминацијата, стереотипите и предрасудите | Јануари 2024 | Лилјана Стефановска (граѓанско образование) |
| 6 | St.Valentine’s Day | Запознавање со културата, обичаите и празниците на својата и на другите земји | Февруари 2024 | Соња Ајдаревиќ (англиски јазик) |
| 7 | Самостојна анализа на песната ,,Рането срце” (по даден план) | Примена на знаењата во писмена анализа на песна по даден план | Март 2024 | Соња Златевска (македонски јазик) |
| 8 | Прифаќање / Одбивање на покана за излегување | Ученикот да ги применува зборовите за прифаќање и одбивање на покана за излегување | Април 2024 | Наталија Ѓорѓевиќ - Миревска (француски јазик) |
| 9 | Граматички структури бројни и небројни именки | Ученикот да се запознае со граматичките структури бројни и небројни именки, и правилно да ги применува во реченици | Мај 2024 | Билјана Дрвошанова (англиски јазик) |

Забелешка: Доколку има потреба оваа програма може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и се во согласност на активот и претседателот.

Претседател на актив: Билјана Дрвошанова

**Годишна програма на Стручен актив од природните предмети во учебната 2023/24 година**

| Ред број | Активности и содржини | Цели и задачи, основни наставни методи, форми и техники | Носители на дејноста | Време на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Конституирање на стручниот актив Подготовка на план за подготовка и реализација на училишни натпревари | Тимска работа и координираност - изработка на детален план за одржување на подготвителни часови и одржување на училишни натпревари | Стручен актив природна група на предмети | Август 2023 | Соработка и планирање за успешна реализација на програмата -успешна подготовка за учество на натпревари |
| **2.** | **Интерна обука на тема** : Запознавање и примена на дигиталната алатка Nearpod во наставата | **Цели:** - запознавање со дигиталната алатка Nearpod и можностите кои ги нуди за изработка на дигитални содржини (презентации, квизови, анкети,...) | Наставник: Маја Станковска | Септември 2023 | -зголемување на дигиталните компетенции на наставниците и нивно оспособување за изработка на дигитални содржини и употреба на алатката во наставата која ќе го поттикне интересот и мотивацијата кај учениците за учење. |
| **3.** | Отворен час: - **Хемија IX одд**. **Тема 1А: 9.1** Структура на атомот и периоден систем на елементите **Наставна содржина:** Образување ковалентни молекули | **Цели**: ученикот да: -го опишува образувањето на ковалентна врска (само единична врска) како образување на заеднички електронски пар **Наставни форми**: работа во група, индивидуална **Наставни методи**: усна презентација, метод на практична работа и демонстрирање **Техники**: бура на идеи, дијаграми | Ученици, наставник: Даниела Кузманоска | Октомври 2023 | -препознаваат ковалентна врска на дадени формули и знаат дека е врска помеѓу неметали -го опишуваат образувањето на ковалентната врска, како образување на заеднички електронски пар -ја претставуваат ковалентната врска со дијаграм(и двојна и тројна) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Отворен час:<br>- **Географија VIII одд**.<br>**Тема** : Социо-географски карактеристики и регионална поделба на Европа<br>**Наставна содржина:** Населбите во Европа | **Цели**: ученикот :<br>- да ги запознае најголемите европските градови;<br>- да ги опишува разликите опишува меѓу европските села;<br>- да умее да ги разликува европските села и градови ;<br>- да објасни како се делат населбите;<br>- да ги наброи процесите на развој на населбите;<br>- да опише што е тоа урбанизација;<br>- да опише кои фази на урбанизацијата постојат;<br>- да разбере што се подразбира под агломерација;<br>- да објасни што е конурбација<br>**Основни наставни методи:**<br>1. Усно изразување<br>2. Метод на разговор<br>3. Демонстративен метод<br>4. Метод на игра<br>5. тест метод<br>6. Метод на истражување<br>7. Дијалошки<br>**Форми:**<br>1. Индивидуална<br>2. Работа во групи<br>3. Заедничка<br>4. Во парови<br>5. фронтална<br>**Наставни техники:** | Ученици, наставник:<br>Катарина Марковска | Ноември<br>2023 | - ги запознаваат најголемите европските градови;<br>- ги опишуваат разликите меѓу европските села;<br>- умее да ги разликува европските села и градови ;<br>- објаснуваат како се делат населбите;<br>- ги набројуваат процесите на развој на населбите;<br>- опишуваат што е тоа урбанизација;<br>- опишуваат кои ази на урбанизацијата постојат;<br>- разбираат што се подразбира под агломерација;<br>- објаснуваат што е конурбација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | -Бура на идеи | | | |
| **5.** | Отворен час:<br>- **Математика VII одд**.<br>**Тема** : 1Д работа со податоци и решавање проблеми<br>**Наставна содржина**: **А**ритметичка средина, мода, медијана, Ранг | **Цели**:<br>- Наоѓа мода (или модална класа за групирани податоци), медијана и ранг<br>- Споредува две множества податоци користејќи две или повеќе од мерките ранг, аритметичка средина, медијана или мода.<br>-Користи логички следства и изведува заклучоци<br>**Наставни методи:**<br>-Усно изразување<br>-Метод на разговор<br>-Демонстративен метод<br>-Метод на истражување:<br>-Дијалошки<br>**Форми:**<br>-Индивидуална<br>-Во парови<br>-фронтална<br>**Наставни техники:** бура на идеи | Ученици, наставник:<br>Билјана Велјаноска | Декември<br>2023 | - одредуваат мода (или модална класа за групирани податоци), медијана и ранг.<br>-споредуваат две множества податоци користејќи две или повеќе од мерките ранг, аритметичка средина, медијана или мода. -Користат логички следства и изведуваат заклучоци<br>- |
| **6.** | Извештај од сумативно оценување во првото полугодие и размонување искуства од реализацијата на новите наставни програми според новата концепција во VI одделение | -разгледување на постигнатите резултати во првото полугодие<br>-размонување на искуства од реализацијата на новите наставни програми според новата концепција во VI одделение | Стручен актив | Јануари<br>2024 | -поголема соработка, размонување искуства и споделување добри примери од наставната практика |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Отворен час:<br><br>**Математика VIII одд**<br><br>**Тема:**2А Број и решавање проблеми<br><br>**Наставна содржина:**Размер | **Цели:**<br>- Упростува размери<br>- Дели количина на повеќе од два дела во даден размер<br>- Дава прецизни решенија соодветни на контекстот или проблемот.<br>-**Основни наставни методи:**<br>- Монолошки ( објаснување )<br>- дијалошки ( разговор)<br>- илустративно – демонстративен<br>- кооперативно учење<br>- метод на пишување<br>- усмено излагање<br>- практична работа<br>- истражување<br>- физичко одговарање<br>- учење преку решавање на проблеми<br>- учење преку проект<br>- дискусија<br>- експериментирање<br>**Наставни форми**<br>- индивидуална форма<br>- фронтална форма<br>- работа во парови<br>- групна<br>**Наставни техники**:бура на идеи, демонстрирање, прашање наставник-ученик, меѓуученичко оценување | Ученици, наставник:<br><br>Маја Давидовска Бошевска | февруари<br><br>2024 | -можат да упростуваат размери<br><br>-можат да делат количина на повеќе од два дела во даден размер<br><br>-можат да даваат прецизни решенија соодветни на контекстот или проблемот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | Отворен час:<br>**ФИЗИКА VIII одд.**<br>**Тема :** 2Б ТЕМА 8.3 СВЕТЛИНА<br>**Наставна содржина:** Закон за рефлексија | **Цели:** ученикот да:<br>- Опишува рефлексија од рамна површина користејќи зраци и користејќи го законот за рефлексија.<br>- Прави мерења со соодветна точност<br>- Користи различна опрема правилно.<br>- Идентификува трендови и шаблони во резултатите (корелациите).<br>- Дискутира објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање.<br>- Јасно ги споделува знаењата со другите<br>**Наставни методи:**<br>- метод на разговор и дијалог<br>- групна дискусија<br>учење преку експеримент<br>**Наставни форми:**<br>- Фронтална<br>- работа во групи<br>-индивидуална<br>**Методи на формативно оценување:**<br>- разговор со/ меѓу учениците<br>- усна повратна информација<br>- соработка во група<br>- ракување со апарати<br>**Наставна техника :**насочени прашања, бура на идеи | Ученици, наставник:<br>Валентина Коруноска | Март<br>2024 | - Опишува рефлексија од рамна површина користејќи зраци и користејќи го законот за рефлексија.<br>- Прави мерења со соодветна точност<br>- Користи различна опрема правилно.<br>- Идентификува трендови и шаблони во резултатите (корелациите).<br>- Дискутира објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање.<br>- Јасно ги споделува знаењата со другите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Предавање Апликација за ознака за квалитет на etwinning проекти | -Да се запознаат наставниците со начинот и процесот на апликација за ознака за квалитет на etwinning проекти, аспекти на кои треба да се посвети поголемо внимание (колаборација и заеднички продукти со партнерите, примена на ИКТ,...) | Маја Станковска наставници од актив | април 2023 | -успешна апликација за ознака на квалитет на etwinning проекти<br>-поголема соработка меѓу колегите<br>-зголемена мотивираност за учество во проекти и постигнување на резултати |
| **10.** | Отворен час:<br>**Биологија IX одд**<br>**Тема:** Тема 2Г : 9.7 Природна селекција<br>**Наставна единица:** Процесот на вештачка селекција ИКТ | **Цели:**<br>- Опишува како вештачката селекција води кон нови варијации.<br>**Методи:**<br>метод на дискусија,набљудување,презентација, усно излагање<br>**форма:** фронтална, индивидуална, групна<br>**техника:** бура на идеи, ПиО, истражување, прикажување на целите за часот, повторување на веќе ученото од темата | наставник:<br>Фросина Ристовска | мај<br>2024 | - знаат дека нова сорта на растение или животно се добива со вештачка селекција.<br>- објаснуваат дека вештачката селекција вклучува избор на спарување родители со саканите карактеристики<br>-даваат предлози како да се подобри<br>одредена сорта со вештачка селекција. |
| **11.** | Анализа на работата на стучниот актив и изработка на програма на стручниот актив за следната учебна година. | Согледување на резултатите од работата на стручниот актив | Наставници од стручен актив од природна група предмети | Јуни<br>2024 | Изработка на извештај за работата на активот<br>Изработка на програма за работа на стручниот актив. |

Забелешка: Доколку има потреба оваа програма може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и се во согласност на активот и претседателот.

Претседател на стручен актив: Билјана Велјаноск

## Прилог 13: Годишна програма за работа на училишен инклузивен тим

| Цели | Содржини и Активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со децата со посебни образовни потреби | -Формирање на тим за поддршка<br>-Изготвување на годишна програма за работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | јуни-септември | Успешна реализација на планираните активности |
| Запознавање со бројот на ученици и видот на попреченост | -Разговори со одд.наставници од I одд.и одд.раководители VI одд. | Стручни соработници<br>Одд. наставници | Септември | Преглед и евиденција на учениците и видот на посебните потреби |
| Индивидуализирање и прилагодување на наставата кон потребите на учениците | -Изработка на индивидуални оперативни планови за работа со учениците со посебни потреби<br>-Диференциран пристап во работата | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Октомври | -Успешна реализација на наставната програма со сите ученици<br>-Континуирано следење на постигањата |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (прв квалификационен период) | -Евиденција на успехот и редовноста<br><br><br><br>-Користење на инструменти за следење и вреднување | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Ноември | -Проценка на постигањата<br>-Дополнување на индивидуалниот оперативен план<br>-Определување на соодветни форми/методи за работа |
| Градење на стратегии за учење со примена на | -Сов.консул.разговори со родителите, одд.настваници, одд.ракововодители и учениците, | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и | Декември | -Подобрување на постигањата<br>-Подобрување на социјализацијата на овие ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| индивидуален и диференциран пристап во работењето | | предметни наставници | | |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни потреби (крај на прво полугодие) | -Евиденција на успехот и редовноста<br>-Користење на инструменти за следење и вреднување | Одд. наставници, одд.раководители и стручни соработници | Јануари Февруари | -Проценка на постигањата<br>-Дополнување на индивидуалниот оперативен план<br>-Изнаоѓање на соодветни форми и методи за работа |
| -Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | -Разговори со учениците на одд.часови<br>-Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители и предметни наставници | Во тек на годината | -Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби<br>-Вклучување на децата со посебни образовни потреби во локалната заедница |

## Прилог 14: Годишна програма за работа на хор и оркестар

### Програма за работа на училишниот хор

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

**Посебни цели:**

- да создава навика за редовност и точност;
- да ги развива творечките способности, етичките и естетските вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност индивидуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот и менторот;

- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект ;
- да учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко;
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов кон пеењето;
- да интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи

**Образовен процес-структура на содржини**

| **Задачи**<br>**Обработка на композиции** | **Цели:**<br>**Посебни цели:** | **Дидактички насоки**<br>**Активности**<br>Ученикот: | **Активности**<br>Наставник: | **Инструменти** | **Начин на спроведување (Ресурси)** | **Временска рамка на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Зајакнување на демократската клима во училиштето | Извештај за реализацијата на Отворениот ден за Граѓанско образование | Училишно раководство Стручна служба Наставник по Граѓанско образование<br><br>Ученици од IX одд. | јуни месец | Сумирани ефектите од реализацијата на Отворениот ден за ГО и планирање на идни активности. | Извештај за реализацијата на Отворениот ден за ГО | Училишно раководство Стручна служба Наставник по ГО (Инструменти за следење и проценка: листи на учество, фотографи, прашалник за ефектите од активностите) | -//- |

Одговорен наставник: наставник по граѓанско образование

**Програма за антикорупциска едукација на учениците**

Програмата за антикорупциска едукација за учениците во учебната 2023/2024 година, има за цел да воспостави вредносен систем кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, учениците низ активностите ќе можат да ја препознаат корупцијата и да се заштитат од оваа негативна општествена појава.

Со мотото „Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата“ учениците ќе бидат соочени со корупцијата како штетна општествена појава која ги нарушува темелните демократски вредности, односно ги загрозува човековите права, стабилноста и напредокот на државата.

Целите на Програмата за антикорупциска едукација на учениците е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

**Конкретни цели на проектот**

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

**Дидактичко - методски насоки:** При реализација на активностите се тргнува од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците за коишто се наменети активностите. Активности ќе се изведуваат во воннаставните активности по предметот етика во седмо одделение, граѓанско образование во осмо и деветто одделение и часовите по ОВЖ од петто до деветто одделение.

| Ред. Бр | Активности | Носители на активностите | Време | Очекувани исходи | Докази | Евалуација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефинирање на целна група и формирање тим за да се одреди содржината и методот на антикорупциските предавања | Наставник по граѓанско образование/етика<br>психолог, педагог, социолог | Јануари | Формиран тим и изработена Програма за антикорупциска едукација<br>на ученици од VII-IX одделение | Програма за антикорупциска едукација | |
| 2. | Вградување на антикорупциски содржини во наставните и воннаставните активности | Наставник по граѓанско образование/етика, психолог, педагог, социолог, одделенски и предметни наставници | Февруари<br>Јуни | Реализација на програмата за антикорупциска едукација | Прирачник за програмата за антикорупциска едукација на учениците во ОУ, прирачници за ОВЖ, корисни линкови, промотивен материјал-постери и белешки | |
| 3. | Испитување на предзнаењата на учениците<br>за корупција и антикорупција | Наставници<br>Стручни соработници<br>Ученици | Февруари | Показатели за нивото на предзнаења на учениците за корупција и<br>Антикорупција | Анкетен прашалник | |
| 4. | Содржини поврзани со антикорупциска едукација на учениците во наставните и воннаставните активности | Наставник по граѓанско образование/етика и учениците од VII-IX одделение | Февруари<br>Јуни | Учениците се запознати со содржини за антикорупциско однесување, одолевање на социјален притисок и препознавање на механизми за спречување на корупција | Дневна подготовка, фотографии, презентации, корисни линкови и работни листови | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Работилници од ОВЖ за запознавање на учениците со поимите корупција-антикорупција и начините за заштита од корупциско делување | Одделенски наставници/ раководители од V-IX одделение | Февруари Јуни | Стекнати знаења за корупција и антикорупција, одолевање на социјален притисок, препознавање на механизми за спречување на корупција | Дневна подготовка, фотографии, презентација и работни листови | |
| 6. | Работилници за антикорупциска едукација на учениците | Наставник по граѓанско образование/етика, психолог, педагог, социолог и учениците од VII-IX одделение | Февруари Јуни | Зајакнување на антикорупциските механизми за борбата против корупцијата и развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата | Презентации, изработки, фотографии, видео докази и извештаи | |
| 7. | Ликовен и литературен конкурс на тема:<br>„Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата“ | Наставници по македонски јазик и ликовно образование и учениците од VII-IX | Мај | Ликовно и литературно изразување на учениците на стекнатите знаења од антикорупциската едукација | Ликовни и литреатурни творби | |
| 8. | Испитување на стекнатите знаења на учениците за корупција и антикорупција | Наставници<br>Стручни соработници<br>Ученици | Мај | Показатели за нивото на стекнатите знаења на учениците за корупција и Антикорупција | Анкетен прашалник | |
| 9. | Доделување награди од ликовниот и литературниот конкурс | Наставници по македонски јазик и ликовно образование | Мај | Подобрена мотивација за учество во активностите за антикорупциска едукација | Дипломи и пофалници за учениците | |
| 10. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупциска едукација | Одговорен тим за Програмата за антикорупциска едукација | Јуни | Сумирани ефектите од Програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности | Извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупциска едукација | |

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**Програмата за антикорупциска едукација на учениците за учебна 2023/2024 година**

| Ред бр. | Содржина | Активност | Цел | Носители | Време на Реализација | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Испитување на предзнаењата на учениците за корупција и антикорупција | Анкетен прашалник | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Наставници Стручни соработници | Февруари | Добиени показатели за нивото на предзнаењата на учениците |
| 2. | Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | Предавања и работилници | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Наставници Стручни соработници | Февруари Јуни | Стекнати основни знаења за корупција и антикорупција |
| 3. | Запознавање на учениците со поимите корупција-антикорупција и начините за заштита од коруптивно делување | Работилници од ОВЖ | Учениците да се запознаат со поимите за корупција и да се стекнат со вештини за заштита од кокорупциско делување | Одделенски раководители од V-IX одделение | Февруари Јуни | Стекнати знаења за корупција и антикорупција, одолевање на социјален притисок, препознавање на механизми за спречување на корупција |
| 4. | Форми на корупција и причини за нејзино појавување | Работилница Со ученици од 8 одд. | Учениците да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Наставник по граѓанско образование | Февруари | Стекнати знаења за облици во кои може да се појави корупција. Знаат за штетното влијание на корупцијата во општеството |
| | Борба против корупција | Драматизација Со ученици од 8 одд. | да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на | Наставник по граѓанско | Март | Можат да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | | | граѓанската култура во современото општество | образовани е | | развојот на граѓанската култура во современото општество |
| 6. | Механизми за спречување на корупција | Работилница Со ученици од 7одд. | Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството, и потребата од морално однесување и делување во поглед на спречување на корупцијата | Наставник по етика | Февруари | Го разбираат штетното влијание на корупцијата во општеството, и потребата од морално однесување и делување во поглед на спречување на корупцијата |
| 7. | Активна борба против корупција | Изработка на постери со ученици од 7 одд. | да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | Наставник по етика | Април | Можат да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество |
| 8. | Причини и последици од корупцијата | Предавање со ученици од 9 одд. | да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Наставник по граѓанско образовани е | Март | Знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството |
| 9. | Борба против корупција | Работилница со ученици од 9 одд. | да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | Наставник по граѓанско образовани е | Април | Да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество |
| 10. | „Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја | Ликовен и литературен конкурс на тема: „Стоп за корупцијата – ја | Ликовно и литературно изразување на учениците на стекнатите знаења од антикорупциската едукација | Наставници по македонски јазик и ликовно | Мај | Ликовно и литературно изразување на учениците на стекнатите знаења од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | руши демократијата“ | разјадува довербата, ја руши демократијата“ | | образование и учениците од VII-IX | | антикорупциската едукација |
| 11. | Доделување награди од ликовниот и литературниот конкурс | Свечено доделување награди | Мотивирање на учениците за учество во активностите за антикорупциска едукација | Наставници по македонски јазик и ликовно образование | Мај | Подобрена мотивација за учество во активностите за антикорупциска едукација |
| 12. | Испитување на стекнатите знаења на учениците за корупција и антикорупција | Анкетен прашалник | Утврдување на знаењата на учениците за корупција и антикорупција | Наставници Стручни соработници | Мај | Стекнати знаења на учениците за корупција и примена на антикоруптивно однесување |
| 13. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупциска едукација | Прибирање податоци за реализираните активности | Да се согледат ефектите од Програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности | Одговорен тим за Програмата за антикорупциска едукација | Јуни | Сумирани ефектите од Програмата и изготвен предлог акционен план за подобрување и идни активности |

Одговорен тим на Програма за антикорупциска едукација на учениците:
Наставник по граѓанско образование, Валентина Јовановска, Даниела Караташова, Калина Пуловска

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ERASMUS проект

| Содржина/ Задача | Активност | Цел | Носители | Време на Реализација |
|---|---|---|---|---|
| Реализација на проектот Learn green-Outdoor Stem | Добри практики кои вклучуваат стем активности надвор од училница | -изработка на добри практики кои вклучуваат стем активности надвор од училница | Александра Војнеска Зикова Маја Станковска Наставници од природна група предмети | август-ноември 2023 |
| | Избор на ученици и учество во мобилност во Словенија | Избор и подготовка на ученици за учество во мобилност кои вклучуваат добри стем практики надвор од училница | Александра Војнеска Зикова Маја Станковска Ученици Наставници од природна група предмети | август-септември 2023 |
| | Подготовки и учество на транснационален состанок на наставници во Скопје | -Подготовка за транснационален состанок и презентирање на реализираните активности | Александра Војнеска Зикова Маја Станковска | февруари 2024 |
| | Подготвување на финален извештај по завршување на проектот | -презентирање на сите активности и резултати од проектот | Александра Војнеска Зикова Маја Станковска | февруари-март 2024 |

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ: ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Проектот-Инклузија на деца со посебни образовни потреби е поддржан од Детска фондација Песталоци и Здружението за асистивна технологија-Отворете ги прозорците.
Времетраење на проектот: 30.03.2023 до 31.12.2025 година
Планираните цели и активности во проектот се во насока на поддршка на имплементацијата на Законот за основно образование, Концепцијата за основно образование, Концепцијата за инклузивно образование и Стратегијата за образование 2018-2025, особено во делот на Приоритет II. што се залага за зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста преку унапредување на физичките услови, училишната клима и средина, наставата и ефикасното финансирање. Улогата на основните училишта е дефинирана во Концепцијата за инклузивно образование како клучна во делот на препознавање и вложување напори да одговорат на потребите на сите деца и преку принципите на разумно прилагодување да креираат стимулативна училишна средина за учество и учење на секој ученик;активна соработка и негување партнерски односи со родителите/старателите и сите релевантни чинители кои се вклучени во поддршката на учениците со посебни образовни потреби, како и: водење евиденција и грижа за сите деца кои не се запишани во училиште и за учениците кои неоправдано не го посетуваат училиштето.

Целта на проектот е да ги поддржи училиштата во процесот на обезбедување можности за еднаков пристап до квалитетно основно образование за децата со посебни образовни потреби преку креирање стимулативна училишна средина за учество и учење на секој ученик преку:

- Подобрување на условите за пристап, учество и учење на еднаква основа за сите ученици, со подобрување на пристапноста, обезбедување асистивна технологија, дидактички материјали и средства прилагодени кон различните потреби на ученците;
- Јакнење на капацитетите на училишниот менаџмент и персонал за примена на концептите на инклузија, универзален дизајн за учење, за интеркултурно учење, детски права и родова еднаквост во процесите на градење инклузивна училишна клима, и
- Зајакнување на соработката на локално ниво со различни чинители во заедницата за поддршка на инклузивното образование преку обезбедување ресурси и услуги.

Проектот го вклучува **Концептот за инклузија**[2] и делува во насока на поддршка за:

1) ученици со попреченост - кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања и кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството, на еднаква основа со другите;
2) ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето;
3) ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини;
4) ученици со комплексни потреби – кои имаат повеќестепени тешкотии, повеќестепени нарушувања, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и поддршка;
5) деца/ученици кои не биле вклучени во настава, а се со надминатата возраст и

[2] Дефиниран и превземен од Концепцијата за инклузивно образование и Законот за основно образование

6) деца/ученици и од други ранливи категории кои од различни причини бараат посебна поддршка и грижа во текот на воспитно-образовниот процес.

Дополнително проектот ги опфаќа и останатите ученици кои не се споменати во Концептот за инклузија, преку активности за сензитивизирање за значењето на инклузијата, интеркултурното учење, детските права и родовата еднаквост.

АКТИВНОСТИ

Активностите што произлегуваат имаат за цел да ги постигнат следните резултати и исходи:

- Да се поддржи и олесни пристапот до образование за секое дете;
- Да се подигне свеста за улогата и заложбите на секој релевантен чинител во процесот на градење инклузивна училишна и локална заедница;
- Да се поддржи спроведувањето на мерки, процедури и активности со кои се подобрува инклузијата на училишно ниво;
- Да се поддржи инклузијата на момчиња и девојчиња со ПОП кои се вклучени во училиштата и на оние кои ќе се вклучуваат во текот на наредните три години;
- Да се поддржи интеграцијата на момчиња и девојчиња што се надвор од училиштата во образовниот систем;
- Да се обезбеди поддршка и насоки на родителите за запишување и задржување на нивните деца во училиште;
- Да се поддржи спроведувањето на прилагодената наставна програма за образование на децата што не биле вклучени во наставата, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветно одделение на основно образование;
- Да се обезбеди поддршка во процесот на самопроценка на нивото на инклузивност на проектните училишта, како основа за креирање индивидуални планови за развој за период во кој ќе се спроведува проектот;
- Да се поддржат проектните училишта во спроведувањето формални и неформални активности за подобрување на успехот на учениците со ПОП, како и развој на интеркултурни компетенции, подобрување на знаењето и вештините во областа на родовата еднаквост и правата на децата кај сите ученици;
- Да се обезбеди поддршка, услови, ресурси и стипендии за децата со ПОП од социјално депривирани семејства кои се вклучени во проектните училишта и за идентификуваните деца што не одат во училиште по нивното запишување во училиштата;
- Да се обезбедат обуки за раководниот кадар, наставниците и стручниот персонал во училиштата, за прилагодената наставна програма за децата кои не биле вклучени во наставата, а се со надмината возрасна граница, за интеркултурно образование, концептот на инклузија преку индивидуализирани пристапи, методи на работа и примена на асистивна технологија, за родова еднаквост, и за правата на децата и заштита на децата.
- Да се обезбеди финансиска поддршка (грантови во секоја учебна година додека трае проектот, три гранта по училиште) за училиштето за спроведување активности за подобрување на инклузивноста на училиштето во поглед на пристапноста, обезбедување асистивна технологија и дидактички материјали, специјализирани обуки, организација на активности за прибирање средства од локални донатори за подобрување на инклузивната средина во училиштата, како и активности од областа на интеркултурно образование, права на децата, родова еднаквост и заштита на децата;
- Да обезбеди, еднаш годишно, информации и соодветен избор на училишта и ученици за студентска интеркултурна размена преку посета на детското село во Троген, Швајцарија;

- Да се поддржи организирањето на локални дискусии на тркалезни маси и јавни настани за процесот на инклузија на сите деца, вклучувајќи ги и децата кои се надвор од училиштата во образовниот систем.

Даниела Караташова- контакт лице кое ќе соработува со проектниот тим на Отворете ги прозорците во следењето и реализацијата на проектните активности, и кое ќе биде одговорно за координирање на напорите што се очекува да ги вложат училиштето, наставниците и родителите во спроведувањето на проектот

Изготвен Индивидуален план(Јуни 2023) во кој се испланирани мерки, активности и процедури за инклузивен развој на училиштето, базиран врз основа на самопроценка на инклузивноста(мај 2023) која ја направи со помош на алатка обезбедена од проектот;

Обука на Инклузивни тимови(Мај 2023)

Интеркултурна размена Троген, Швајцарија со два супервизора (Даниела Караташева и Соња Николова) и 13 ученика од ООУ,,Наум Наумовски Борче” во период од 31 Мај- 14Јуни 2023 год

Добиени 4 стипендии за деца ПОП од различни категории(Мај 2023) со парична подршка од 12000 денари годишно.

Идни активности:

- Да обезбеди ефикасна и ефективна реализација на предвидените мерки, активности и процедури за инклузивен развој со поддршка од проектот, локалната самоуправа и поширокатa локална заедница;
- Да номинира учесници од редот на училишниот менаџмент и образовниот кадар за учество во обуки за концептите на инклузија, детски права, интеркултурализам и родова еднаквост, како и за усвојување и примена на Протоколот за размена на информации и прилагодената наставна програма за ученици со надминатa возраст;
- Да учествува во процесот на идентификација и процена на потребите на децата кои се надвор од образование, во соработка со локални координатори, со цел обезбедување стипендии преку проектот и создавање можности за нивно вклучување и задржување во образовниот систем до завршување на основното образование;
- Да обезбеди ефикасна и ефективна поддршка за спроведувањето на прилагодената наставна програма за образование на деца кои не биле вклучени во настава, а се со надминатa возрасна граница за вклучување во соодветно одделение на основно образование
- Да обезбеди ефикасно и ефективно искористување на грантовите обезбедени од проектот во насока на подобрување на спроведување: 1)активности за прибирање финансиски средства (фандрејсинг), кои ќе бидат инвестирани во подобрување на инклузивната средина во училиштата; 2)обуки за наставниците согласно нивните идентификувани потреби, кои ќе бидат понудени од ресурсните центри; или 3)креирање на попристапна средина како поддршка на учениците со ПОП по нивното запишување.
- Ќе номинира и обезбеди учество на родители на ученици со и без ПОП на работилници за зајакнување на свесноста за концептите на инклузија, интеркултурализам, детски права и родова еднаквост;
- Ќе обезбеди услови и можности за спроведување инклузивни работилници за подигнување на свеста на учениците за потребите и можностите на децата со ПОП, со поддршка и организација од страна на училиштата со ресурсен центар/центри за поддршка вклучени во проектот;
- Ќе номинира наставници и ученици за учество на вебинари, фокус групи и други форми на учество, во согласност со потребите за размена на искуства и следење на ефектите од проектот, а по барање од проектниот тим;
- Ќе промовира, поддржува и известува кон проектот, за активности и процедури поврзани со заштита и безбедност на децата;
- Ќе обезбеди услови за спроведување на менторски и мониторинг средби со проектниот тим, со цел поддршка и следење на спроведувањето на проектните активности;

- Активно ќе учествува на средбите организирани од проектот со другите проектни училишта и општини со цел размена на информации, добри практики, препознавање на предизвиците и за изнаоѓање можни решенија;
- Да овозможи издавање на потребни известувања, покани, одобрувања и сл. на барање на проектниот тим што се потребни за реализација на проектните активности;
- Да овозможи пристап до сите релевантни податоци во врска со проектните активности достапни во базата на податоци на училиштето;
- Да има активно учество на јавни настани, во координација и со поддршка од проектот, за подигнување на свесноста на локално ниво за потребите, предизивиците и можностите за поддршка на децата со посебни образовни потреби.

Активности на ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА ОТВОРЕТЕ ГИ ПРОЗОРЦИТЕ - Скопје, граѓанска организација
- Да обезбеди финансиска поддршка за спроведување на активностите во рамките на проектниот буџет одобрен од ДФП, како и за постигнување на дефинираните исходи и резултати;
- Да обезбеди поддршка во процесот на самопроцена на инклузивноста на училиштата преку споделување на алатка за процена и врз основа на тоа да учествува во процесот на креирање индивидуален план за развој на инклузивноста на училиштата;
- Да ги администрира грантовите (спроведување на набавки и плаќања според направената проценка на потребите за подобрување на инклузивноста во училиштето) врз основа на одобрените мерки, процедури и активности од креираниот индивидуален план за инклузивен развој на училиштата, а во насока на: 1)активности за прибирање финансиски средства (фандрејзинг), кои ќе бидат инвестирани во подобрување на инклузивната средина во училиштата; 2)обуки за наставниците согласно нивните идентификувани потреби, кои ќе бидат понудени од ресурсните центри; или 3)креирање на попристапна средина како поддршка на учениците со ПОП по нивното запишување.;
- Да организира и спроведе обуки за училишниот менаџмент за концептите за инклузија, интеркултурализам, детски права и родова еднаквост, како и за примена на Проколот за размена на информации и прилагодената програма за деца со надминатата возраст;
- Да организира и да спроведе обуки за градење на капацитетите на училишниот персонал за концептите на инклузија, универзален дизајн на учење, интеркултурно образование, детски права, индивидуализирани пристапи во наставата и примена на асистивна технологија, како и за родова еднаквост;
- Да организира и да спроведе обуки за градење на капацитетите на претставници од училиштата со ресурсни центри/центри за поодршка, за примена на асистивна технологија и концептот на инклузија, со цел креирање нови услуги на локално ниво;
- Да организира и спроведе работилници за родители во насока на информирање и сензибилизирање за концептите за инклузија, интеркултурно образование и детски права;
- Да го поддржи процесот на креирање на индивидуални планови за развој на училиштето, со кои ќе се интензивира инклузивноста, врз основа на самопроценка која ќе ја направат;
- Да ги поддржи процесите за идентификација на деца кои се надвор од училиштата и кои ќе бидат поддржани од Проектот;
- Да организира и администрира поддршка во вид на стипендии за децата со ПОП од социјално ранливи семејства и за децата со надминатата возраст кои за прв пат се вклучуваат во училишта;
- Да спроведе активности за информирање, промоција и следење на процесите и процедурите за заштита и безбедност на децата;
- Да организира и спроведе вебинари, фокус групи и други форми на учество за наставници и ученици, во согласност со потребите за размена на искуства и следење на ефектите од проектот;
- Да организира и спроведе менторски и мониторинг средби со училишниот тим, со цел поддршка и следење на спроведувањето на проектните активности;

- Да обезбеди, еднаш годишно, информации и соодветен избор на училишта и ученици за студентска интеркултурна размена преку посета на детското село во Троген, Швајцарија;
- Да го следи, мониторира и евидентира спроведувањето на проектните активности во училиштата и навремено да известува за предизвиците и резултатите кон ДФП и вклучените страни во реализација на проектот.

Финансирање: Отворете ги прозорците е одговорно за подмирување на сите материјални трошоци согласно одобрениот акциски план од страна на училиштето  во линија со проектниот буџет кој е предмет на финансиски отчет кон подружницата на ДФП во Скопје и кон централата на ДФП.

Индивидуален план за развој на училиште

Врз основа на добиените сознанија од спроведена чек листа за процена на инклузивноста на план за развој на модел на инклузивно училиште. Планот се однесува на периодот мај, 2023 – октомври, 2025 година

| Приоритетни потреби | Потребни чекори за подобрување на сосотојбата | Временски период за реализација на активноста | Потребна поддршка | Ресурси) |
|---|---|---|---|---|
| 1.Обезбедување на Асистивна технологија за настава | 1.Изработка на приоритетна листа<br>2.Изготвување на предлог буџет<br>3.Поднесување на барање до спонзори или донатори<br>4.Доставување на понуди од набавувач<br>5.Избор на најдобар понудувач<br>6.Набавка на асистивна технологија | Мај 2023-Октомври 2025 год. | Локална самоуправа,МОН Бизнис заедница, Граѓански здруженија | 1.Материјални ресурси (асистивна технологија)<br>2.Финансиски ресурси |
| 2.Обука на наставниците за користење на асистивна технологија во наставниот процес | 1.Изготвување на список на наставници<br>2.изготвување на финансиски план<br>3.Барање на финансиски средства и донации<br>4.Прибирање,разгледување и избор на понуда<br>5.Реализација на семинар<br>6.Примена на знаењата на наставниците | Август, јануари, јуни 2023, 2024, 2025год. | Локална заедница, БРО,<br>МОН<br>Граѓански здруженија,<br>Провајдери | 1.Финансиски ресурси |
| 3.Обука на наставниците за работа со деца со емоционални потешкотии | 1.Изготвување на список на наставници<br>2.изготвување на финансиски план<br>3.Барање на финансиски средства и донации<br>4.Прибирање,разгледување и избор на понуда<br>5.Реализација на семинар<br>6.Примена на знаењата на наставниците | Август, јануари, јуни 2023, 2024, 2025год. | Локална заедница,БРО,МОН Граѓански здруженија,<br>Провајдери | 1.Материјални ресурси<br>2.Финансиски ресурси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.Обука на наставниците за работа со деца со попреченост | 1.Изготвување на список на наставници<br>2.изготвување на финансиски план<br>3.Барање на финансиски средства и донации<br>4.Прибирање, разгледување и избор на понуда<br>5.Реализација на семинар<br>6.Примена на знаењата на наставниците | Август,јануари,јуни 2023,2024,2025год. | Локална заедница,БРО,МОН Граѓански здруженија, Провајдери | 1.Финансиски ресурси |
| 5.Елеватор,лифт | 1.Изработка на основен проект за еливатори,<br>Аплицирање и фанансов план<br>Доставување на барање<br>2.Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница<br>3.Изведување на подготвителни работи<br>4.Реконструкција и изградба<br>5.Стручен надзор на извршената работа и технички прием | Ноември 2023<br><br>Мај 2024<br><br>Јули-Август 2025 | Локална заедница,МОН Бизнис заедница, Граѓански здруженија, | 1.Материјални ресурси<br>2.Финансиски ресурси<br>3.Човечки ресурси |
| 6.Назначување на одговорно лице за следење на процесот на остварување на детските права | 1.Формирање на тим за следење на процесот во остварување на детските права<br>2.Назначување на одговорно лице | Август 2023 | Стручни лица | 1.Човечки ресурси |
| 7.Реконструкција на патеки,пристапен влез/рампа и поставување на дополнителни рампи и патеки за лица со физичка попреченост | 1.Изработка на основен проект,<br>Аплицирање и фанансов план<br>Доставување на барање<br>2.Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница<br>3.Изведување на подготвителни работи<br>4.Реконструкција и изградба<br>5.Стручен надзор на извршената работа и технички прием | Јули-Август 2024 год.<br>Јули-Август 2025 год. | Локална заедница,МОН Бизнис заедница, Граѓански здруженија, | 1.Материјални ресурси<br>2.Финансиски ресурси<br>3.Човечки ресурси |
| 8.Обезбедување на литература | 1.Изработка на приоритетна листа<br>2.Изготвување на предлог буџет | 2023- 2025 година | Локална самоуправа,МОН | 1.Материјални ресурси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наменета за деца со посебни потреби и стручна литература за наставниците | 3.Поднесување на барање до спонзори или донатори<br>4.Доставување на понуди од набавувачи<br><br>5.Избор на најдобар понудувач<br>6.Набавка на литература | | Бизнис заедница, Граѓански здруженија Издавачки куќи | 2.Финансиски ресурси |
| 9.Обезбедување на соодветен инвентар во училниците,просториите,кабинетите за деца со посебни потреби | 1.Изработка на приоритетна листа<br>2.Изготвување на предлог буџет<br>3.Поднесување на барање до спонзори или донатори<br>4.Доставување на понуди од набавувачи<br><br>5.Избор на најдобар понудувач<br>6.Набавка на инвентар | 2023-2025 година | Локална самоуправа, МОН Бизнис заедница, Граѓански здруженија | 1.Материјални ресурси<br><br>2.Финансиски ресурси |
| 10.Лиценцирана обука за користење на сензорна соба | 1.Изготвување на список на наставници<br>2.изготвување на финансиски план<br>3.Барање на финансиски средства и донации<br>4.Прибирање,разгледување и избор на понуда<br>5.Реализација на семинар<br>6.Примена на знаењата на наставниците | 2023-2024 година | Локална заедница, БРО, МОН Граѓански здруженија, Провајдери | 1.Материјални ресурси<br>2.Финансиски ресурси |
| 11.Вработување на Дефектолог со полно работно време | 1.Барање за ново финансирање до Л.С.,МОН<br>2.Соработка со цеентри за подршка и граѓански здруженија | 2023 год. | Л.С ,МОН Граѓански здруженија | 1.Финансиски ресурси<br>2.Човечки ресурси |
| 12.Опремување на дополнителен тоалет за деца со посебни потреби | 1.Изработка на основен проект, Аплицирање и фанансов план Доставување на барање<br>2.Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница<br>3.Изведување на подготвителни работи<br>4.Реконструкција и изградба<br>5.Стручен надзор на извршената работа и технички прием | 2023-2025 год. | Локална заедница,МОН Бизнис заедница, Граѓански здруженија, | 1.Материјални ресурси<br>2.Финансиски ресурси<br>3.Човечки ресурси |

Координатор: Даниела Караташова

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЗДРАВА ХРАНА И НАВИКИ ЗА СРЕЌНИ ДЕЦА”

Општа цел на проектот:

Општата цел на проектот се темели на долгорочен пристап за подигање на свеста кај децата и родителите за значењето на конзумирањето на здрава храна и течности, здрава исхрана и здрави навики. Едукацијата има јасна цел да овозможи лесно да се разбере и прифати важноста за начините на разликување на производите, опасноста од неисправна храна која не е свежа и загадена со патолошки агенси и отровни материи. Да знаат дека постои опасност и од нечисти раце, продукти, прибор и трпеза, како и опасност од алергии и ГМО продукти и да се фокусира на значењето на автохтовни видови, плодови од природата и традиционални рецепти.

Време на реализација: 07.06.2023 година до ноември 2023 година

Проектот се реализира во соработка со општина Гази Баба и Граѓанска организација,,ЕКГ” д-р сци Милковска Снежана подржан од ЦЈЗ. Вклучени се ученици од IV-IX одделение; секција по биологија, природни науки, секција ликовно образование.

Вклученост на наставници и родители, локална заедница

Акционен план:

| Активности | Временски период за реализација на активноста | Очекувани ефекти и исходи | докази | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Работилнници за здрава храна | Јуни -Октомври 2023год. | - Учениците ќе ја знаат важноста на здравата храна<br>-Ќе создадат здрави навики за здрава храна<br>- Определување на овошен ден во неделата | Фотографии, презентација, пано | Проектор, лаптоп, интерактивна табла, Храна<br>Прибор за јадење и обработка на храна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ликовни работилници | Септември октомври 2023 | Учениците ликовно ќе ги изразуваат своите сознанија за здравата храна | Ликовни творби | Прибор за сликање и сликасрски материјали штафелаии |
| Ликовен конкурс на тема ,,Здрава храна,, | Септември-Ноември 2023. | Конкурс за најдобро ликовно творење | Наградени ученици | Дипломи<br>Печатач, хартија за дипломи |
| Работилници-Креирање на традиционални рецепти од здрава храна | Октомври 2023 | Учениците ќе креираат рецепти со што ја развиваат креативноста кон консумирање на здрава храна и создавање здрави навики | Подготвени солени и благи јадења кои се подготвени и обработени на здрав начин | Фотографии |
| Изработка на книга/флаер со рецепти за здрава храна и навики | Октомври 2023 | Креирање на рецепти од учениците и совети за здрава исхрана и навики | Печатена книга/флаер | Книга/ флаер |
| Јавно презентирање на книга со рецепти и готови продукти | Ноември 2023 | Презентирање на резултатите од активностите | Јавен настап во спортска сала ,,М.А.Ченто” дипломи | Отворен настан фотографии |

Одговорни наставници:Фросина Ристовска, Даниела Кузманоска, Марија Наневска

## Прилог 18: Програма за воннаставни активности

**Краткотрајни активности** (излети и екскурзии, еднократни работилници, акции)

| **Име и вид на активност** | **Носители на активност** | **Времетраење и временска рамка на реализација** | **Цели** |
|---|---|---|---|
| - Недела на кодирање,<br>- Недела на информатиката | Маја Станковска-наставник по информатика<br>Ученици од VI- IX одделение | - трета седмица октомври 4 часа<br>- Втора недела февруари 4 часа | Промовирање и зголемување на интересот на учениците за изучување на информатиката<br>Зголемување на интересот на учениците за изучување на програмирањето;<br>Зголемување на знаењата на учениците за компјутерските апликации; |
| 1.Одбележување на Европскиот ден на јазиците<br>2.Одбележување на денот на планетата Земја<br>3. Одбележување на роденденот на Шекспир<br>4. Интеркултурна работилница – Храната низ светот | Снежана Поп-Алексова Боболеска<br>Ученици од одделенска настава | 1. 2 часа<br>Трета седмица септември<br>2. 1 час / 22 април<br>3. 1 час/ април<br>4. во договор со одделенските наставници | 1. Да се привлече вниманието на богатата јазична и културна разновидност на Европа, која треба да се охрабрува и одржува, но и да се прошири опсегот на јазици што луѓето ги учат во текот и да се зајакне меѓукултурното разбирање.<br>2. Да се подигне свеста кај учениците за зачувување на животната средина односно развивање на еколошка свест<br>3. Запознавање на учениците со авторот, развивање љубов кон литературата, проширување на знаењата, развивање на ИКТ компетенции<br>4. Почитување и промовирање на сопствената култура кое придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет<br>Почитување и промовирање на другите култури кое придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите; |
| Одбележување на месецот на Франкофонијата | Наталија Ѓорѓевиќ-Миревска, наставник по француски јазик.<br>Ученици од VI до IX одделение. | 2 часа<br>Во текот на месец март | -Стекнување интерес и љубов кон францускиот јазик<br>-Мотивирање на учениците за учество во предвидените активности<br>-Запознавање на учениците со заедницата на луѓето коишто го споделуваат францускиот јазик и универзалните вредности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обележување на Денот на екологијата и светски ден на водата | Виолета Силјановска одделенски наставник Ученици од V одделение | 3 часа во месец Март | - Да се подигне свеста кај учениците за зачувување на животната средина односно развивање на еколошка свест од најмала возраст.<br>- Стекнување со дополнителни знаења, надвор од редовната настава.<br>- Да се привлече вниманието, да се охрабрува и одржува секоја детска идеја. |
| Активности по повод Денот на бројот ПИ | Маја Давидовска-Бошевска наставник по математика<br>Билјана Велјаноска наставник по математика<br>Ученици од VI-IX одд | 2 часа во месец март | Да се мотивираат учениците за учество во активности од областа на математиката и нејзина примена во секојдневниот живот |
| Работилница со ученици по повод „Месецот на книгата" | Сања Пецевски наставник по македонски јазик<br>Ученици од VII, VIII и IX одделение | 2 часа во месец ноември | Поголема популаризација и афирмација на книгата и творештвото.<br>Важноста и значењето на читањето и пишувањето.<br>Да се стекне интерес и љубов кон книгата. |
| Одбележување по повод “ Светскиот ден книгата” | Соња Златевска наставник по македонски јазик ученици од VIII и IX одделение | 2 часа април | Да се негува и поттикнува љубовта кон литературата кај учениците |
| Одбележување на Светскиот ден на храната | Марија Депиновска одделенски наставник ученици од II одделение | 2 часа во месец октомври | Развивање на свеста за правилно користење на храната како фактор за живот кои го добиваме од природата. |
| Одбележување на Меѓународен ден на семејството | Елизабета Темелковска одделенски наставник ученици од III одделение | 2 часа во месец Мај | Подигнување на свеста за важноста на семејството како основна единица во општеството.Да се нагласат разликите, приоритетите и интересите на семејствата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на среќата | Маре Ѓиревска одделенски наставник ученици од III одделение | 2 часа во месец Март | Запознавање со поимот среќа преку дискусија и разговор. Поттикнување и развивање на свеста за она што ги прави среќни и како емоциите влијаат на нашиот живот. Препознавање на фацијална експресија (среќа) на лицата кај останатите ученици во одделението. |
| Активности по повод „Месецот на книгата“ | Гордана Ѓорѓиевска одделенски наставник Виолета Силјановска одделенски наставник Ученици од V одделение | 3 часа во месец ноември | Развивање љубов и интерес кон книгата<br>Стекнување навики за правилно читање, пишување и творење |
| Работилница за светскиот ден на детето | наставник по граѓанско образование Ученици од VIII одделение | 17.11.2023 год. | Застапување на сопствените интереси, остварување и заштита на детките права |
| Работилница за меѓународниот ден на човековите права | наставник по граѓанско образование Ученици од VIII одделение | 15.12.2023 год. | Унапредување на демократското живеење преку познавање и почитување на човековите права |
| Посета на Собрание на РСМ | наставник по граѓанско образование Ученици од IX одделение | 2 часа во месец март | Запознавање со работата на законодавниот дом, неговите надлежности и значењето на парламентарната демократија |
| Отворен ден по граѓанско образование | наставник по граѓанско образование Ученици од VIII и IX одделение | Декември 2023 год. | Промовирање на ученичките иницијативи и ученичкото учество за позитивна промена во училиштето и заедницата |
| Одбележување на Меѓународен ден на пешачење | Марија Депиновска одделенски наставник ученици од II | 15.10.2023 | Развивање и зајакнување на свеста за здрав живот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одделение | | |
| Одбележување на Меѓународниот ден на мирот | Марија Депиновска одделенски наставник ученици од II одделение | Септември 2023 | значењето на зборот мир,мир во светот |
| Одбележување Светскиот ден на детето | Марија Депиновска одделенски наставник Катерина Јовановиќ ученици од II одделение | Ноември 2023 | Да се слушне гласот на детето,укажување најголеми предизвици со кои се соочуваат |
| Денот на шегата 1-ви Април (изработка на маски) | Сања Груева одделенски наставник ученици од трето одделение | Април 2024 | Да се мотивираат учениците за учество во креативни активности. |
| Запознавање со историското минато - Посета на музејот на ВМРО | Одделенски наставници и ученици од V одделение | март- април 2024 | Да се запознаат учениците со историското минато и настанувањето на современата македонска држава |
| Мио проект во соработка со партнер училиштето ООУ„25 Мај“- предвидени се три воннаставни активности поврзани со предметот Ликовно образование<br>-Посета на Планетариум<br>- Посета на ботаничка градина | одделенски наставници од четврто одделение Дијана Николовска и одделенски наставник од ООУ,,25 Мај,,-Ченто Сузана Курбардовиќ | -ноември-декември 2023<br><br>-април-мај 2024<br><br><br><br><br>мај-јуни 2024 | - Заедничкото промовирање на активностите и креираните дела ќе допринесат за чувството на зедништво и другарство кое ќе овозможи социо-емоционално развивање и подобра комуникација која е основа за намалување на говорот на омраза и стереотипно однесување и ставови кај семејствата и поширокаата заедница. Заеднички ќе испратиме силна порака за создавање на нови мостови и современа иднина.<br><br>-запознавање и разгледување на Планетариумот и репродукција на сето она што е видено<br><br>-запознавање на институцијата Ботаничка градина; запознавање на карактеристичната флора на РСМ; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Промоција на проектот во Дом на култура Димитар Влахов | | | -развивање на комуникациски вештини; меѓуврснички учење; развивање на чувство на заедништво и толеранција. |
| Традиционални јадење поврзани со големи верски празници | -ученици од IV одделение<br>Дијана Николовска, Анета Пешевска и Соња Николова | Декември 2023<br>1 час<br>Април 2024год.<br>2 часа | Запознавање на учениците со традиционалните јадења по повод најголемите верски празници Божиќ, Велигден и Рамазан Бајрам. |
| Работилница Добивање јаболков оцет | Даниела Кузманоска, наставник по хемија и природни науки<br>ученици од VIII одд. | 3 часа III седмица мај | Развивање способност за практична примена на знаењата стекнати по предметот хемија користејќи научно знаење и разбирање |
| Работилница Изработка и тестирање сопствени индикатори | Даниела Кузманоска, наставник по хемија и природни науки<br>ученици од VIII одд. | 2 часа I седмица мај | Развивање способност за практична примена на знаењата стекнати по предметот хемија користејќи научно знаење и разбирање |
| Светски ден на животните | Катарина Марковска наставник по географија, ученици од VI- IX<br>Даниела Кузманоска, наставник по хемија и природни науки<br>ученици од V-VI одд. | 2 час I седмица октомври | Развивање на свеста за значењето на животните за биодиверзитетот на планетата Земја како и заштита на ендемските видови |
| Светски ден на водата | Катарина Марковска наставник по географија, ученици од VI- IX<br>Даниела Кузманоска, наставник по хемија и | 2 часа IV седмица март | Развивање на свеста кај учениците за значењето на бесценетата течност, водата што овозможува живот на планетата Земја |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | природни науки<br>ученици од V-VI одд. | | |
| Активности по повод Меѓународен ден на планетата Земја | Катарина Марковска<br>наставник по географија, ученици од VI- IX<br>Даниела Кузманоска, наставник по хемија и природни науки<br>ученици од V-VI одд. | 2 часа IV седмица април | Развивање на еколошката свест и одржлив развој на планетата Земја<br>Да се подигне свеста кај учениците за зачувување на животната средина односно развивање на еколошка свест од најмала возраст. |
| Меѓународен шаховски турнир „Наум Наумовски Борче 2023“ | Јовица Николовски<br>Дејан Боневски | Првата недела на април | Промоција на училиштето и шахот во општината. |
| Манифестација „Јас имам талент/Покажи што знаеш“ | Весна Трајковска<br>наставник по музичко образование, ученици опфатени во предметот Проекти од музичката уметност и ученици од одделенска настава | Трета недела во декември | Целта на манифестацијата е учениците да ги покажат своите способности согласно индивидуалните афинитети и интереси, определба и сензибилитет во пеење, свирење, танцување. Со тоа се овозможува рано откривање на талентирани ученици, поттикнување на нивниот развој и збогатување на музичкото искуство преку јавно промовирање. |
| Работилници:<br>-Изработка на новогодишни украси<br>-Изработка на мартинки и пролетни украси<br>-Изработка на Велигденски украси | Лили Подолешова<br>Тамара Димитриевска<br>Ученици од продолжен престој | -Декември<br>-март<br>-април | Зголемување на вештините на учениците за рачни изработки<br>Да се развива чувството на естетика и креативност |
| Ликовна изложба по повод патрониот празник | Никола Наневски<br>Наставник по ликовно образование | 4 недела март 2023 | Креативна промоција на стекнатите знаења и вештини во сликарството при изработка на слики од поголем формат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ученици од 6-то до 9-то одделение | | |
| Одбележување на Светскиот ден на јазиците | Соња Ајдаревиќ<br>Наставник по англиски јазик<br>Билјана Дрвошанова<br>ученици од VI- IX одделение | Април 2023 | Да се мотивираат учениците за учество во активности од областа на јазиците |
| Спортски активности<br>Крос<br>Планинарење<br>Велосипедизам | - наставници по физичко образование<br>Моника Гаврилоска<br>Дејан Боневски<br>Александра Војнеска Зикова<br>ученици од I-IX одделение | септември/ октомври<br>Април | Свесност за зачувување и подобрување на сопственото здравје преку физички активности |

Забелешка: Планираните краткотрајни активности може да бидат заменети или дополнети со други активности во зависност од потребите и интересите на учениците или други актуелни настани.

**Долготрајни воннаставни активности**

| **Назив на секција** | **Одговорен наставник/ наставници** | **Учесници** | **главни знаења, вештини и ставови/ вредности што треба да се стекнат преку учество во секцијата** | **временската рамка и бројот на часови за реализација на секцијата.** |
|---|---|---|---|---|
| Информатичка секција-Клуб за кодирање | Маја Станковска | ученици од VI до IX одделение | -да се развие алгоритамски начин на размислување, да се стекнат вештини и способности на примена на компјутерите при решавање на проблеми во различни подрачја на примена, да се развие критичкото мислење, тимска работа | Од септември до март<br>Еднаш неделно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Секција за англиски јазик | Снежана Поп-Алексова Боболеска<br><br>Соња Ајдаревиќ<br><br>Билјана Дрвошанова | ученици V одделение<br><br>VI, VII, VIII одделение<br><br>IV и VI одделение | Продлабочување на знаењата кај учениците; учениците да го разбираат значењето на лексичките единици од програмата; правилно да ги применуваат граматичките структури; да се стекнат со познавање и разбирања за одредени социо-културни карактеристики на земјите и народите чиј јазик се учи – Британија и САД; исполнување на слободното време на учениците; можност за афирмирање на афинитетите на учениците и нивно насочување во понатамошна работа и усовршување на знаењата; | Од септември до јуни<br>еднаш неделно |
| Литературна секција | Соња Златевска | ученици од 6 до 9 одделение | Да се развие љубов кон литературата-проза и поезија, да се развие способност за самостојно творење,креирање и анализа<br>Развивање чувства при создавање на самостојни творби<br>Да се развие говорен израз и да се збогати речникот со литературни и лексички единици | Од септември до јуни<br>еднаш неделно |
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски наставник/раководител** | **Број на ученици кои биле на тридневна екскурзија** |
|---|---|---|---|
| IX а | 24 | Маја Станковска | |
| IX б | 16 | Маја Давидовска Бошевска | |
| **Вкупно ученици** | 40 | **Вкупен број ученици на тридневна екскурзија** | |

# ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Одделение:** V
**Место: Охрид**

| Глобален план за содржините и активностите на наставата во природа | |
|---|---|
| **Македонски јазик** | • Јазик и комуникација<br>• Литература и творење<br>• Медиумска култура и медиумска писменост |
| **Математика** | • Броеви и броење<br>• Геометрија<br>• Операции со броеви<br>• Мерење<br>• Работа со податоци |
| **Историја и Општество** | • Поединецот и општеството<br>• Населението и континентите<br>• Праисторија и историја |
| **Музичко образование** | • Слушаме музика<br>• Пееме, свириме и играме |
| **Ликовно образование** | • Цртање<br>• Сликање<br>• Пластично обликување и градење<br>• Графика<br>• Дизајн и визуелни комуникации |
| **Физичко и здравствено образование** | • Атлетика<br>• Гимнастика со ритмика и танци |

| | |
|---|---|
| | • Спортски игри |
| **Природни науки** | • Природно-географски карактеристики на континентите<br>• Животен циклус на цветните растенија<br>• Живите организми и животната средина<br>• Смеси<br>• Светлина и сенки |
| **Техничко образование и Информатика** | • Табеларни пресметки<br>• Онлајн безбедност<br>• Техничко цртање<br>• Технологија на работа со хартија и дрво<br>• Сообраќај |
| **Културно-забавни активности** | • Формирање на одделни ученички единици: литературна, музичка, фолклорна, ликовна и др.<br>• Изготвување План за работа на ученичките интересни групи и План-Програма за вечерни активности (по избор на учениците)<br>• Пеење на изучени песни<br>• Свирење на блок флејти<br>• Слушање (звуци и шумови) |
| **Посети и излети** | • Рибарски населби<br>• Посета на историски, културни знаменитости, музеи, спомен куќи и споменици<br>• Посета на блиската околина, населби и сл. |
| **Детска организација** | • Изготвување на куќен ред и правила<br>• Распоред за работа, одмор и рекреација<br>• Одржување на лична хигиена<br>• Договор за излети и посети<br>• Дежурства во текот на денот<br>• Уредување и подготвување на ѕиден весник<br>• Формирање на Еколошки патроли<br>• Забележување на народни приказни и легенди од околината<br>• Собирање лековити растенија<br>• Собирање примероци за хербариум и инсектариум |

| | |
|---|---|
| **Наставни методи** | • Говорна метода<br>• Текст метода<br>• Метод на пишување<br>• Метод на практична работа |
| **Наставни форми** | • Фронтална<br>• Групна<br>• Парови<br>• Индивидуална |
| **Методски облици** | • Разговор<br>• Дискусија<br>• Анализа<br>• Синтеза |
| **Методски поединости** | • Воочување<br>• Идентификување<br>• Издвојување<br>• Подредување<br>• Мерење<br>• Опишување<br>• Толкување<br>• Објаснување<br>• Споредување<br>• Класификацирање<br>• Воопштување<br>• Заклучување |
| **Наставни средства** | • Компјутер,проектор<br>• географска карта на РСМ<br>• авто-карта на РСМ<br>• туристичка карта на РСМ<br>• компаси<br>• печатен материјал: енциклопедии, инструктивни текстови, проспекти, разгледници, слики<br>• фотоапарат, фотофилм, фотографии |

| | |
|---|---|
| | • нема карта на РСМ<br>• работен прибор |
| **Следење и вреднување** | • Квантум на знаења<br>• Постапки на ученикот<br>• Начин на комуникација (вербална и невербална)<br>• Прецизност во усното изразување<br>• Стил и јазик во писменото изразување<br>• Однос кон работата<br>• Естетско обликување на трудот |
| **Методи на оценување** | • Усни и писмени одговори на прашања поставени од наставникот<br>• Одговори на есејски прашања<br>• Поставување прашања од соученици и/или одговарање на нив<br>• Читање-изразно/рецитирање<br>• Разговор со/меѓу учениците;<br>• Практични изведби<br>• Драматизирање по улоги<br>• Усни презентации<br>• Есеи изработени вон часот<br>• Писмени извештаи<br>• Проектна работа<br>• Портфолио (досие со трудови на ученикот)<br>• Објективни тестови изготвени од наставникот<br>• Самооценување |

***Распоред на часови***

| | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Англиски јазик | Техничко обрразование и информатика | Англиски јазик | Англиски јазик | Природни науки |
| 2 | Македонски јазик | Техничко обрразование и информатика | Физичко и здравствено образование | Ликовно образование | Природни науки |
| 3 | Математика | Македонски јазик | Математика | Македонски јазик | Македонски јазик |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Историја и општество | Математика | Историја и општество | Математика | Математика |
| 5 | Музичко образование | Физичко и здравствено образование | Македонски јазик | Слободен изборен | Физичко и здравствено образование |
| 6 | Слободен изборен | | | | |

- Напомена: Наставните часови ќе бидат реализирани и прилагодени кон активностите и содржините предвидени со програмата за настава во природа. Одделенските наставници ќе изработуваат дневни подготовки за реализираните наставни содржини.

## Планирање и организација на настава во природа

**Воспитно-образовни цели:**

- поттикнување на чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- стекнување знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, експериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- запознавање со природните убавини на околината;
- непосредно запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- истражување на настаните и појавите на животот покрај езеро;
- запознавање со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- развивање на мисловните и физичките способности кај учениците;
- едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.

**Задачи:**

- изучување и истражување на природната средина и законитостите што влијаат во Охридскиот регион;
- стекнување и развивање позитивен однос кон животинскиот свет во Охридското Езеро и неговата околина;
- оспособување на учениците за ориентација и движење во природа;
- стекнување и негување хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена на учениците и просторот;

- обезбедување на правилен психо-физички развој како резултат на позитивното влијание од спортските активности и престојот во здрава природна средина;
- другарство, почитување и позитивен натпреварувачки дух меѓу учениците.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите предвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридското Езеро, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од околината на Охрид) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**Содржина на активности:** Едукација, рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето.

**Одговорен наставник:** Виолета Силјановска- одделенски наставник.

**Носители на активностите:** учениците и одделенските наставници на V-те одделенија Виолета Силјановска и Гордана Ѓорѓиевска

**Времетраење:** четири дена (16, 17, 18 и 19.04.2024 год.).

**Локации за посета и правци на патување:** посета на Велес и спомен куќата на Кочо Рацин, Прилеп и манастирор „Св. Архангел Михаил- Варош, Струга и с.Вевчани, Охрид поста на античкиот театар, Плаошник, црквата „Св.Климент“ и „Св.Пантелејмон“ и Билјанини извори, Тетово и Шарената џамија. Правци на патување**:** Скопје- Велес- Прилеп- Охрид- Струга- с.Вевчани- Охрид- Скопје.

**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар, инструктор по физичко образование.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

***ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:***

***Прв ден:*** Поаѓање на групата пред училишната зграда во 07:30 часот. Се патува кон Велес се посетува спомен куќата на Кочо Рацин. Се продолжува кон Прилеп со попатен одмор во Градско. Во Прилеп се посетува манастирот „Св.Архангел Михаил“- Варош. Пристигнување во Охрид во пладневните часови и сместување. Ручек. Попладневен одмор. Прошетка и разгледување на непосредната околина. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава во согласност со возраста на учениците. Ноќевање.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и Општество, Информатика и техничко образование,Природни науки, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- спомен куќата на Кочо Рацин
- стручно предавање и разговор со кустос
- епрувети
- флип - хартија
- табла и креда
- инструктор по физичко образование
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Историја, Информатика, Етика и др.

***Втор ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Посета на селото Вевчани и Вевчанските извори и разговор со локалното население за начинот и условите на живот во рурална средина. Фотографирање на селото со цел да се запознаат со специфичностите на Вевчанската традиционална архитектура. Разгледување на градот Струга, посета на Спомен куќата на браќата Миладиновци, мостот на поезијата и прошетка по кејот на реката Дрим. Враќање во одмаралиштето. Пишување на извештај за реализираната посета. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе дојдат во текот на посетата на селото Вевчани и градот Струга. Ручек и попладневен одмор. Организирање на спортски натпревари. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Презентација на извештаите и

размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Информатика и техничко образование, Природни науки,Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- с.Вевчани
- Спомен куќата на браќата Миладиновци
- стручно предавање и разговор со кустос
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- инструктор по физичко образование
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Историја, Информатика, Етика и др.

***Трет ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Прошетка низ охридската чаршија и запознавање со старите занаети, посета на Националната работилница за рачна изработка на хартија. Разговор и правење на интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Охрид и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на античкиот театар, Плаошник - црквата „Св.Климент“ и „Св.Пантелејмон“, Светиклиментовиот универзитет, стручно предавање и разговор со археолог. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за истражувањата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Информатика и техничко образование, Природни науки, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник

- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- Археолошки локалитет-Плаошник
- стручно предавање и разговор со археолог
- глина
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- инструктор по физичко образование
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Историја, Информатика, Етика и др.

**Четврт ден:** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на одмаралиштето. Посета на Билјанини извори, прошетка и разгледување на брегот на Охридското Езеро. Тргнување во пладневните часови преку Кичево со попатен одмор на Стража. Тргнување за Скопје и пристигнување пред училишната зграда до 18:00 часот.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Општество, Техничко образование, Природни науки, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- Билјанини извори
- стручно предавање и разговор со хидробиолог
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Работа со компјутер, Историја, Информатика, Етика и др.

**Очекувани резултати :**

- зголемено чувство на самостојност и љубопитност кај учениците за истражување и доаѓање до нови знаења ;
- стекнување на знаења и нивна употреба во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, екпериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- запознавање со природните убавини на нашата земја;
- запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- разбирање на настаните и појавите на животот покрај езеро;
- запознавање со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- развивање на интелектуалните и физичките способности кај учениците;
- активна едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.

| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски наставник/раководител** | **Број на ученици кои биле на настава во природа** |
|---|---|---|---|
| V а | 26 | Виолета Силјановска | |
| V б | 23 | Гордана Ѓорѓиевска | |
| **Вкупно ученици** | 49 | **Вкупен број на ученици на настава во природа** | |

Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии:
Светлана Петровска- директор
Лилјана Стефановска- наставник по граѓанско образование
Дејан Боневски- наставник по физичко и здравствено образование
Маја Давидовска Бошевска- наставник по математика
Виолета Силјановска- одделенски наставник

## Прилог 22: Програма за реализација на ученички натпревари

Натпреварите се организираат со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењето, умеењето, вештините и способноста на учениците по одделен наставен предмет или научна област. Преку натпреварите кај учениците се развива натпреварувачки дух, стремеж за постигнување повисоки вредности во образованието, културата, уметноста и спортот. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се продлабочуваат и се збогатуваат знаењата. Учениците за натпревар ќе се подготвуваат на додатна настава и на слободните ученички активности. Наставниците ќе им даваат помош на учениците при изборот на литература и проверка на нивните знаења. Во училиштето се организираат училишни натпревари и најдобрите ученици го претставуваат училиштето на натпреварите од повисок ранг т.е на општинските, регионалните и државни натпревари.

| Планирана активност/ натпревар | Цели и активности | Носители | Време на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување на план за реализација на училишни натпревари** | Изготвување на план за натпревари | наставници | Септември | Успешно планирање на училишните натпревари |
| **Информирање на учениците за планот за училишни натпревари** | Истакнување на планот за училишни натпревари на огласната табла | Одговорен наставник | Октомври | Навремено информирање на учениците за училишните натпревари |
| **Подготовка на учениците за училишните натпревари и изготвување на тестови за училишни натпревари** | Подготовка на учениците за училишните натпревари преку подготвителна настава и посочување на литература | Наставници | Октомври, Ноември, Декември | Продлабочување на знаењата на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Спроведување на училишните натпревари** | Реализација на училишните натпревари | комисија | Декември, Јануари и Февруари | Избор на најдобрите ученици од одреден наставен предмет или научна област |
| **Објавување на резултати од училишните натпревари и избор на ученици кои ќе учествуваат на натпревари од повисок ранг** | Прегледување на тестовите и изработка на ранг листа на ученици кои учествувале на натпреварот | комисија | Три дена по одржување на натпреварот | Избор на ученици кои ќе учествуваат на натпревари од повисок ранг |
| **Подготовка на учениците за натпревари од повисок ранг (општински, регионални, градски и државни)** | Подготовка на учениците за натпревари преку менторска работа и подготвителна настава и посочување на литература | Наставник-ментор на ученикот, пласирани ученици | Второ полугодие | Успешна подготовка на учениците за натпреварите од повисок ранг |
| **Учество на учениците на натпревари од повисок ранг (општински, регионални, градски и државни)** | Учество на учениците на натпревари од повисок ранг(општински, регионални, градски и државни) | Наставник ментор, пласирани ученици | Според планот на организаторот на натпреварот (најчесто во текот на второто полугодие април и мај) | Учество и постигнување на добри резултати на натпревари од повисок ранг(општински, регионални, градски и државни) |
| **Информирање за резултатите од учеството на натпревар од повисок ранг** | Информација и анализа на постигнатите резултати на натпревар од повисок ранг | наставници | Второ полугодие | Афирмација на учениците кои учествувале на на натпревари од повисок ранг(општински, регионални, градски и државни) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изготвување и презентација на збирен извештај за реализација , учество и освоени награди на сите натпревари (училишни, регионални, градски и државни)** | Анализа на постигнатите резултати од сите натпревари во текот на учебната година | Одговорен наставник, | Јуни | Анализа на постигнатите резултати и афирмација на успешните ученици и нивните наставници-ментори |

Во текот на учебната година во одделенска настава се планираат да се реализираат следните активности:

- меѓуодделенски натпревари (кошарка, фудбал, штафетни игри, игри без граници итн)
- училишни натпревари по англиски јазик, математика, македонски јазик, природни науки, општество, натпревар за информатичко размислување, итн.
- учество на математичкиот натпревар Кенгур и регионалниот натпревар по математика за IV и V одделение како интернационалниот предизвик (електронски натпревар) кој ја промовира информатиката и сродните науки – Дабар.
- Учество на различни литературни и ликовни конкурси

Во текот на учебната година во предметна настава се планираат да се реализираат следните активности:

- училишни натпревари (математика, информатика, историја, географија, англиски јазик, француски јазик, хемија, биологија, македонски јазик, физика, природни науки, граѓанско образование итн)
- учество на општински, регионални и државни натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници односно сојузи на здруженија на наставници по одделен наставен предмет, сроден предмет или научна област на која и припаѓа предметот
- организирање на рејтингуван младински шаховски турнир „Наум Наумовски Борче“ како и учество на други шаховски натпревари и турнири
- учество на натпревар по Прва помош
- учество на натпревар за Противпожарна заштита
- учество во спортските лиги во општината
- учество на натпреварите организирани од Народна техника
- учество на различни литературни конкурси и ликовни конкурси и колонии.

| Календар за учество на училишни натпревари/конкурси | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на училишен натпревар или конкурс** | **Датум на одржување** | **Учество на ученици од (кои одделенија)** | **Одговорен наставник** |
| Меѓуодделенски натпревар по граѓанско образование | 08-12.05.2024 год. | Ученици од VIII и IX одделение | наставник граѓанско образ |
| Училишен натпревар во шах | Октомври 2023 | Ученици од III-IX одделение | Јовица Николовски |
| Меѓуодделенски натпревар по англиски јазик | Март 2024 | Ученици од I-IX одделение | Соња Ајдаревиќ, Билјана Дрвошанова и Снежана Боболеска |
| Меѓуодделенски натпревар по физика | 06.02.2024 год. | Ученици од VIII-IX одделение | Валентина Коруноска |
| Училишен натпревар по математика | Февруари 2024 | Ученици од IV-IX одделение | Маја Давидовска-Бошевска<br><br>Билјана Велјаноска |
| Меѓуодделенски натпревар по македонски јазик | Ноември 2023 | Учениците од четврто одделение | Дијана Николовска, Анета Пешевска и Соња Николова |
| Меѓуодделенски натпревар по математика | Март 2024 | Учениците од четврто одделение | Дијана Николовска, Анета Пешевска и Соња Николова |
| Меѓуодделенски натпревар по физичко-Игри без граници | Мај 2024 | Учениците од четврто одделение | Дијана Николовска, Анета Пешевска и Соња Николова, наставник по физичко Александра Војнеска Зикова |
| Меѓуодделенски натпревар по математика | февруари 2023 | Ученици од V одделение | Виолета Силјановска<br><br>Гордана Ѓорѓиева |
| Конкурс по македонски јазик по повод месецот на книгата | ноември 2023 | Ученици од VI до IX одделение | Сања Пецевски, Соња Златевска |
| Меѓуодделенски натпревар по природни науки | 12-15.12.2023 | Ученици од V и VI одделение | Даниела Кузманоска, Фросина Ристовска |
| Меѓуодделенски натпревар по хемија | 12-15.12.2023 | Ученици од VIII и IX одделение | Даниела Кузманоска |
| Меѓуодделенски натпревар по Биологија | 12-15 12.2023 | Ученици од VII, VIII и IX одделение | Фросина Ристовска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Училишен натпревар по француски јазик | март 2024 | ученици од седмо одделение | Наталија Ѓорѓевиќ-Миревска |
| Училишен напревар по географија | Февруари 2024 | Ученици од VII, VIII,I X одделение | Катарина Марковска |

Одговорни наставници: Маја Станковска, Маја Давидовска Бошевска, Снежана П. Боболеска

## Прилог 23: Програма за унапредување на мултикултурализмот / интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

| активности | Очекуван резултат/продукт | (пред)услови | реализатори | термин |
|---|---|---|---|---|
| **Дефинирање улоги начленовите на тимот** | ➢ Дефинирани одговорности на членовите на тимот според МИМО активностите | ➢ Средба на членовите на тимот<br>➢ Стратегија за дејствување на тимот | - кооординатор на МИМО активностите;<br>**Снежана Боболевска**-самоевалуација на училишната клима за МИМО активности;<br>**- Соња Николова** следење на МИМО самостојни активности на наставниците;<br>**Калина Пуловска**- следење на МИМО активности<br>**Маја Станковска**-изработка на Годишна програма со МИМО активности, техничка подршка на активностите, промоција на реализираните активности<br>**Снежана П. Боболеска**-евалуација на промените од МИО активностите. | .08.2023-.06.2024 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирање МИО активности во Годишната програма** | ➢ Годишната програма со МИМО заложбите на училиштето се вклучени во мисијата и визијата<br>➢ Годишна програма содржи план за акција кој посочува на конкретните самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со партнер училиштето со јасно дефинирани цели | ➢ Консултативни средби<br>➢ Одржана работна средба за планирање со тимот за училишна интеграција (ТУИ)<br>➢ Најмалку 3 ОВЖ работилници со МИМО содржини и соодветни содржини во рамки на наставните предмети,<br>➢ Подготвена листа на самостојни активности на училиштето<br>➢ Планирање за апликација за гранд за реализација на заеднички активности со други училишта<br>➢ Подготвена листа на заеднички активности со сите основни училишта во Општина Гази Баба<br>➢ Подготвена листа со заеднички активности со партнер училиштето | • Училишен одбор<br>• Совет на родители<br>• Наставнички совет<br>• Стручни активи<br>• наставници<br>• родители<br>• ученици<br>• локална заедница<br>• претставници од општината | Август, 2023 год. |
| **Планирање на конкретните активности** | ➢ Подготвени акциони планови за секоја предвидена конкретна активност | ➢ Формирани тимови на ниво на стручни активи за реализирање на планираните активности:<br>- Стручен актив на одделенска настава<br>- Стручен актив на наставата од природните предмети,<br>- Стручен актив на јазично-општествена група на предмети,<br>- Стручен актив на вештини<br>- Одржани работни средби за планирање со тимовите од реализатори од другите училишта | • Кординатор и членови на СИТ- ООУ „Наум Наумовски Борче“<br>• Кординатори и членови на СИТ- на другите основни училишта<br>• Стручни соработници<br>• Стручни активи<br>• ученици<br>• наставници<br>• родители | **Август 2023 год.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Продолжување на активности со училиштата од општина Гази Баба** | ➢ Организирање на заеднички работни (договорни) средби меѓу тимовите со училиштата на територијата на Општина Гази Баба<br>➢ Изработка на предлог план за соработка и комуникација меѓу училиштата | Остварување на контакти со училиштата на територијата на Општина Гази Баба | • Директор на ООУ „Наум Наумовски Борче“<br>• Директори на основните училишта на општина Гази Баба<br>• Стручни соработници<br>• Членови на СИТ и ТУИ- ООУ „Наум Наумовски Борче“<br>• Членови на СИТ и ТУИ- на другите основни училишта<br>• Членови на Училишен одбор Членови на Совет на родители | Септември 2023 год. |
| **Реализација на планираните активности** | ➢ Планираните конкретни активности и заедничките активности со другите училишта се спроведени според акционите планови;<br>➢ Состаноци на стручните активи на кои се разгледуваат примери на успешни практики за самостојни и заеднички активности<br>➢ Евиденција и докази за спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со другите училишта | ➢ Наставниците ги користат прирачниците за заеднички активности и демократско учество како главен ресурс во планирање и спроведување на активностите;<br>➢ ИКТ опрема;<br>➢ Материјално-технички и финансиски средства за реализирање на активностите;<br>➢ Наставниците водат портфолио во кое ги собираат материјали и прилози од спроведените активности<br>➢ | • Кординатор и членови на СИТ- ООУ „Наум Наумовски Борче“<br>• Кординатори и членови на СИТ- на другите основни училишта<br>• Стручни соработници<br>• Стручни активи<br>• ученици<br>• наставници<br>• родители | **Септември 2023- Јуни 2024 год.** |

**ПРИЛОГ 1. ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекуван резултат 1:** Меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма за работа на училиштата | | | | | | |
| | **Опис на активноста** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Ресурси** | **Поддршка и следење** |
| 1.1. | Општински ученички парламент (Вмрежување на ученичките заедници на ниво на Општината преку планирање заеднички активности) Долготрајна активност: „Општински ученички парламент“. Претседателите на ученичките параламенти од сите училишта на ниво на Општина Гази Баба, реализираат меѓусебна соработка, online состаноци, изработуваат план на активности, разменуваат меѓусебни искуства со проблемите на кои наидуваат во секое училиште индивидуално. Се разгледуваат и прашања на општинско ниво. | Директори на училиштата и одговорни наставници | Септември 2023 – јуни 2024 | Активностите за унапредување на МИО се вклучени во Годишната програма за работа на училиштата и Развојниот план на училиштата;<br>Наставниците работат во тимови и меѓусебно се поддржуваат во реализација на активностите за МИО;<br>Училиштата прават самопроценка за напредокот на реализацијата на активностите на МИО на ниво на училиште според која се одредуваат приоритети за натамошен развој;<br>Раководните тимови соработуваат и комуницираат со целиот кадар и градат чувство на заедништво во работата.<br>Во визијата и мисијата се вклучени креирањето на погодна средина во училиштата во кои се почитуваат вредностите за меѓусебно разбирање, почитување, толеранција, недискриминација и прифаќање на различностите;<br>Обезбедена средина која се базира на демократски вредности и во која учениците се активни учесници во училишното секојдневие и имаат можност слободно да го изразуваат своето мислење; | Прирачници, материјали во различен формат според потребите на учениците | СИТ-ови, Стручна служба, директори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Примена на принципот на демократско учество на учениците и имаат демократски формирани ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште), | | |
| 1.2. | Долготрајна акивност: Изработка на заедничка web страна за афирмација на сите активности кои се од мултиетници карактер меѓу учениците во Општината. Учениците заеднички во мешани групи го планираат изгледот и структурата на web страната и тековно се грижат за одржување и обновување на истата. | Директори на училиштата и одговорни наставници | Во текот на целата година | Реализација на самостојните мултикултурни активности кај учениците се промовираат вредностите на заедничкото живеење и почитување на разликите меѓу луѓето (учат за сопствената култура и културите на *другите*; учат за соработка, толеранција, еднаквост, праведност; развиваат вештини за намалување на стереотипи, предрасуди и дискриминација; промовираат човекови права и демократија; развиваат вештини за решавање конфликти);<br>Заеднички активности и можноста на директна интеракција на учениците од различни етнички заедници- учат да комуницираат и соработуваат, да развиваат чувство на почит, доверба, емпатија, и прифаќање на другите етнички заедници. | Материјал и според потребите на учениците – он лајн или во физичка средина | Претставници од Општината, СИТ, Стручна служба, директори |
| 1.3. | Организирање на он лајн квиз меѓу учениците од сите 11 основни училишта во мешани групи, полово и етнички балансирани<br>Краткотрајна активност: Online квиз натпревар на знаења<br>Учествуваат мешани групи и секоја група има за задача самостојно да истражува за националните обележја на другите етникуми составува прашања од | Општина Гази Баба и основните училишта | март-јуни | Училиштата активно соработуваат со локалната заедница на заеднички проекти за унапредување на МИО. | Електронска апликација, прашања за квиз, Програма за обработка на податоци, Награди за учениците | Претставници од Општината, директори, одговорни наставници и ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | истата тематика кои ќе се употребени во реализацијата на квиз натпреварот, учениците сами ги составуваат групите, правилата на квизот како и бодувањето на истите. | | | | | |
| 1.4 | Изработка на макети од народни носии и нивно изложување<br>Долготрајна активност:<br>Изработка и изложба на макети на народни носии на сите етникуми кои живеат во општината.<br>-одредува простор каде што ќе се реализира изложба на традиционалните носии на сите етникуми кои живеат во општината. | Општина Гази Баба и основните училишта | Јануари - јуни | Сите училишни политики/процедури вклучуваат вредности за заедничко живеење, рамноправен третман, еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици и мерки за заштита од сите форми на дискриминација (пол, раса, етничка или верска припадност, способност и др.);<br>Членовите на советите на родителите активно се вклучени и соработуваат во текот на планирањето и реализацијата на активностите за МИО<br>Училиштата планираат и организираат активности за запознавање на сите родители со МИО.<br>Училиштата ги вклучуваат родителите при реализацијата на ученичките активности за МИО (преку работа на проекти/секции, во спроведување на акции приредби/прослави или други настани и сл.);<br>Идеите и сугестиите на родителите се добредојдени и се почитуваат; | Материјали за изработка на макети | Претставници од Општината директори, одговорни наставници и ученици |

**Очекуван резултат 2:**
Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. училиштен весник, училишно радио, интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче и сл.).

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. | Организирање на он лајн квиз меѓу учениците од сите 11 основни училишта во мешани групи, полово и етнички балансирани Краткотрајна активност: Online квиз натпревар на знаења –Познавање на националните обележја и фолклорот на другите етникуми. Учествуваат мешани групи и секоја група има за задача самостојно да истражува за националните обележја на другите етникуми составува прашања од истата тематика кои ќе се употребени вореализацијата на квиз натпреварот, учениците сами ги составуваат групите, правилата на квизот како и бодувањето на истите. | Општина Гази Баба и основните училишта | март-јуни | Училиштата активно соработуваат со локалната заедница на заеднички проекти за унапредување на МИО. | Електронска апликација, прашања за квиз, Програма за обработка на податоци, Награди за учениците | Претставници од Општината, директори, одговорни наставници и ученици, градоначалник |

**Очекуван резултат 3:**
Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во поширокаата средина.

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Општински ученички парламент (Вмрежување на ученичките заедници на ниво на Општината преку планирање заеднички активности) Долготрајна активност: „Општински ученички парламент“. Претседателите на ученичките параламенти од сите училишта на ниво на Општина Гази Баба, реализираат меѓусебна соработка, online состаноци, изработуваат план на активности, разменуваат меѓусебни искуства со проблемите на кои наидуваат во секое училиште индивидуално. Се разгледуваат и прашања на општинско ниво. | Директори на училиштата и одговорни наставници | Септември 2023 – јуни 2024 | Сите во Општината активно учествуваат во планирање на активностите за унапредување на МИО и даваат значаен придонес во нивната успешна реализација и одржливост; Наставниците работат во тимови и меѓусебно се поддржуваат во реализација на активностите за МИО; Училиштата прават самопроценка за напредокот на реализацијата на активностите на МИО на ниво на училиште според која се одредуваат приоритети за натамошен развој; Раководниот тим соработува и комуницира со целиот кадар и гради чувство на заедништво во работата. Во визијата и мисијата е вклучено креирањето на погодна средина во училиштето во кое се почитуваат вредностите за меѓусебно разбирање, почитување, толеранција, недискриминација и прифаќање на различностите; Постои континуирана комуникација меѓу сите училишни структури и сите заеднички учествуваат во ревидирање и прилагодување на стратегиите за развој на МИО; Училиштата обезбедуваат средина која се базира на демократски вредности и во која учениците се активни учесници во училишното секојдневие и имаат можност слободно да го изразуваат своето мислење; | Прирачници, материјали во различен формат според потребите на учениците | СИТ - ови, Стручна служба, директори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Училиштата го применуваат принципот на демократско учество на учениците и имаат демократски формирани ученички заедници на сите нивоа (од паралелка до училиште),<br>Ученичката заедница го одразува етничкиот состав на училиштето; | | |
| 1.2. | Долготрајна акивност: Изработка на заедничка web страна за афирмација на сите активности кои се од мултиетники карактер меѓу учениците во Општината. Учениците заеднички во мешани групи го планираат изгледот и структурата на web страната и тековно се грижат за одржување и обновување на истата. | Директори на училиштата и одговорни наставници | Во текот на целата година | Преку реализација на самостојните мултикултурни активности кај учениците се промовираат вредностите на заедничкото живеење и почитување на разликите меѓу луѓето (учат за сопствената култура и културите на *другите*; учат за соработка, толеранција, еднаквост, праведност; развиваат вештини за намалување на стереотипи, предрасуди и дискриминација; промовираат човекови права и демократија; развиваат вештини за решавање конфликти);<br>Преку искуството на заедничките активности и можноста на директна интеракција учениците од различни етнички заедници учат да комуницираат и соработуваат, да развиваат чувство на почит, доверба, емпатија, и прифаќање на другите етнички заедници. | Материјал според потребите на учениците – он лајн или во физичка средина | Претставници од Општината, СИТ, Стручна служба, директори |
| 1.3. | Организирање на он лајн квиз меѓу учениците од сите 11 основни училишта во мешани групи, полово и етнички балансирани<br>Краткотрајна активност: Online квиз натпревар на | Општина Гази Баба и основните училишта | март-јуни | Училиштата активно соработуваат со локалната заедница на заеднички проекти за унапредување на МИО. | Електронска апликација, прашања за квиз, Програма за обработка | Претставници од Општината, директори, одговорни наставници и ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | знаења –Познавање на националните обележја и фолклорот на другите етникуми. Учествуваат мешани групи и секоја група има за задача самостојно да истражува за националните обележја на другите етникуми составува прашања од истата тематика кои ќе се употребени вореализацијата на квиз натпреварот, учениците сами ги составуваат групите, правилата на квизот како и бодувањето на истите. | | | | на податоци, Награди за учениците | |
| 1.4 | Изработка на макети од народни носии и нивно изложување во Домот на културата во Автокоманда Долготрајна активност: Изработка и изложба на макети на народни носии на сите етникуми кои живеат во општината. Учество на мешана група на ученици во одбирање на народни носии, обезбедување на потребниот материјал за изработка на макети. По изработка на макетите | Општина Гази Баба и основните училишта | Јануари - јуни | Училиштата имаат јасни политики/процедури за почитување на вредностите за МИО – сите се запознаени со нив и се обврзани да ги почитуваат и соодветно да реагираат во случаи на отстапување;<br>Сите училишни политики/процедури вклучуваат вредности за заедничко живеење, рамноправен третман, еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици и мерки за заштита од сите форми на дискриминација (пол, раса, етничка или верска припадност, способност и др.);<br>Родителите учествуваат во работата на училишните одбори и други тела кои одлучуваат или имаат советодавна улога. | Материјали за изработка на макети | Претставници од Општината, директори, одговорни наставници и ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | се одредува простор каде што ќе се реализира изложба на традиционалните носии на сите етникуми кои живеат во општината. | | | Членовите на Советите на родители активно се вклучени и соработуваат во текот на планирањето и реализацијата на активностите за МИО<br>Училиштата планираат и организираат активности за запознавање на сите родители со МИО.<br>Училиштата ги вклучуваат родителите при реализацијата на ученичките активности за МИО (преку работа на проекти/секции, во спроведување на акции приредби/прослави или други настани и сл.);<br>Идеите и сугестиите на родителите се добредојдени и се почитуваат;<br>Училиштата активно соработува со локалната заедница на заеднички проекти за унапредување на МИО. | | |

Тим за МИО: Претседателот на ученичката заедница, Ученичкиот правобранител, директорот Светлана Петровска, психологот Валентина Јовановска, Калина Пуловска- педагог, предметниот наставник Снежана П Боболеска и одделенскиот наставник Соња Николова.

## ПРОЕКТ МИО- ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ ИНТЕГРИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ

Период на имплементација јуни 2023 - мај 2024 година

Проектот „Градење нови мостови“ (ГНМ) се надоврзува на Фондот за градење мостови (ГМ) кој воведе модел за интегрирано образование во Северна Македонија за поддршка на училиштата, општините и граѓанските организации (ГО-и) за обединување на децата од различно потекло и јазици преку заеднички воннаставни активности.

Овој проект има за цел градење инклузивни општества кои го негуваат и се гордеат со културниот плурализам и ја почитуваат толеранцијата, дијалогот и соработката, во клима на меѓусебна доверба и разбирање како најдобри гаранции на социјалниот мир и безбедноста. ГНМ е моментално поддржан од Кралството Норвешка, Република Полска и Големото Војводство Луксембург.

Цели на Фондот за интегрирано образовани (ФИО)

Општата цел на Фондот за интегрирано образование е да ги зајакне меѓуетничките односи и социјалната кохезија во рамките на училишните средни преку зголемени интегрирани образовни практики и меѓукултурни размени. Фондот има за цел е да ја зголеми меѓуетничката интеракција, разбирањето и интеграцијата помеѓу децата и младите преку мотивирање и финансиска поддршка на повеќејазични училишта (основни и средни),градинки и/или споени еднојазични училишта/градинки со различни наставни јазици, како и педагошки установи за спроведување заеднички наставни и воннаставни активности.

Посебните цели на ФИО се:

- Зајакнување на меѓуетничките односи помеѓу децата и младите од различни јазици и културно потекло преку заеднички наставни и воннаставни активности;
- Поттикнување активности што даваат простор за меѓуетнички ангажман во согласност со училишните програми и министерските упатства;
- Поддржување одржливи иницијативни кои лесно би можеле лесно да се повторат во иднина;
- Всадување меѓусебна почит и надминување на етничките стереотипи и предрасуди;
- Развивање чувство на заедница и припадност преку универзални вредности.

| **Наслов на проектот** | „Заедно сме посилни“ |
|---|---|
| Партнери: ООУ„25 МАЈ“ , ООУ„Дане Крапчев“ и ООУ„Наум Наумовски Борче“ | |
| Досегашното искуство покажа позитивни резултати што се однесува на меѓуетничките проблеми и се во помал број. Бидејќи нашето училиште е еднојазично – албански, а останатите се исто еднојазични – македонски преку заедничките активности успеавме да ја ублажиме оваа ситуација. Во самите училишта нема меѓуетнички конфликти, но надвор од училиштето постојат, особено во автобус, игралиштата, маркети, сендвичари и сл. До пред неколку години проблемите беа во поголем број, но преку работа со учениците предрасудите и стереотипите, успеавме да ги надминеме кај младата генерација до некој степен. Потребна е понатамошна работа и затоа секогаш сме спремни за реализација на заеднички активности. Нашите училиште се во непосредна близина, како и живеалиштата на учениците, делиме зеднички простори надвор од училиштата. Главниот акцент ќе биде: намалување на говорот на омраза, булингот надвор од училиштата и на социјалните мрежи, прифаќање на разликите што мислиме дека горенаведените цели се главна превентива за намалување на насилството и развој на позитивна слика, а најглавно е „ДРУГАРСТВОТО“. | |
| **Кој е вклучен?** | |

| Име на апликантот и партнерот/партнерите | Вкупен број на ученици | Број на ученици | Одделение на учениците | Родова застапеност | Застапеност на наставен јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.ООУ„25 Мај“ | 59 | 30<br>29 | 4 одд.<br>6 одд. | 4 одд. 18 девојчиња и 12 машки<br>6 одд. 13 девојчиња<br>16 машки | 59 А |
| 2. ООУ„Дане Крапчев“ | 27 | 27 | 6 одд. | 12 девојчиња<br>15 машки | 27 М |
| 3. ООУ„Наум Наумовски Борче“ | 27 | 27 | 4 одд. | 14 девојчиња<br>13 машки | 27 М |

| **Име на наставникот и другиот персонал директно вклучен во активностите** | **Предметна област** | **Позиција и име на образовната институција** | **Наставен јазик** |
|---|---|---|---|
| 1. Теута Хаскај Војника | Германски јазик | Предм.наст.<br>ООУ „25 Мај“ | Албански |
| 2. Сузана Курбардовиќ | Одд.настава | Одд. Наст.<br>ООУ „25 Мај“ | Албански |
| 3. Анида Амиди | Природни науки | Предм.наст.<br>ООУ „25 Мај“ | Албански |
| 4. Роза Јаневска | Историја | Предм.наст.<br>ООУ „Дане Крапчев“ | Македонски |
| 5. Бојана Мешковска Личева | Биологија / Природни науки | Предм.наст.<br>ООУ „Дане Крапчев“ | Македонски |
| 6. Дијана Николовска | Одд.наст. | Одд.наст.<br>ООУ „Наум Наумовски-Борче“ | Македонски |
| 7. Светлана Петровска | директор | директор | Македонски |
| 8. Даниела Караташова | социолог | социолог | Македонски |
| 9. Адријана Младеновска | директор | директор | Македонски |
| 10. Фадил Муртезани | директор | директор | Албански |
| **IV. Заеднички наставни часови:** | | | |
| 1. Ликовно образование<br>**Заеднички наставни часови по МИО 2023/24** | | | |

**ООУ„25 Мај„ и ООУ „Наум Наумовски Борче„**

**Септември месец**

**Втора седмица:**

1.Цртање: средства за цртање и нивна употреба(хартија, молив, креди, лавиран туш, бајц, перце, дрвце, јаглен). Мотив „ Народна шара “

-Стандарди за оценување: Разликува цртежи изработени со примена на различни средства за цртање.

- Учениците цртаат ,,народна шара“ со набљудување модел (делови од народна носија и др.народни везови) по желба со молив, фломастер, дрвени боици, пастелни креди...

**Петта седмица :**

2.Пластично обликување и градење:тридимензионална фигура, пропорција, волумен. Мотив „Човек седнат на коцка“

- Стандарди за оценување: Создава облик или градба со користење на пропорции, волумен, целина, детаљ и со перфорирање

- Разговор за формите надворешен опис, големина

- Учениците создаваат геометриски форми со различни големини. Притоа, се комбинираат материјали, како што се: жица, хартија, боја, ткаенина и слично;

**Октомври месец**

**Прва седмица:**

1. Сликање:основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во сликањето. Запознавање со боите и тоновите во околината **ИКТ**

   -Стандарди за оценување: Ги разликува боите и тоновите во околината и ги претставува со сликање.

   - Го опишува изгледот на лисјата во есен.Изработуваат цртеж со мотив есен и есенски лисја.

**Четврта седмица:**

2.Графика: Средства за печатење и нивна употреба(матрица, графички лист – отпечаток, картон- печат)

Стандарди за оценување:

- Идентификува и користи различни средства за печатење.
- Разликува различни средства за печатење.
- Комбинира различни средства за печатење при создавање графички отпечаток.

- Учениците од глина или глинамол изработуваат подлога (матрица) и со длабење и обликување креираат мотив. Потоа, го премачкуваат со бои и го пресликуваат на лист хартија.

**Ноември месец**

**Прва седмица:**

- Училиштето располага со една училишна работилница/ современа лабараторија/кабинетото по техничко образование и една по природни науки, до сега според концептот за основно образование не е обезбедено за секоја предметна област да има и работилници/кабинети за стекнување на знаења и вештини, и истите да се доволно опремени
- Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, но треба да се предвидат финансиски средства за реализиација на меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.
- Училиштето нема термоизолација
- Училишниот двор има просторни капацитети и потреба за изградба на атлетски патеки и терени, тениско игрлиште, како и ботаничка градина
- Училиштето нема дефектолог со целосно работно време и просторија за работа со деца со посебни потреби-сензорна соба.

**Приоритети**

- Подобрување на условите за реализација на наставата и воннаставните активности, особено во делот на високите температури во летниот период и задржување на топлотна енергија во зимсккиот период со инсталирање на термофасадна изолација.
- Потреба од набавување на современа стручна литература за учениците со посебни образовни потреби и асистивна технологија.
- Потреба од изградба во училишниот двор да се изгради атлетска патека, тениско игралиште, ботаничка градина како и сензорна соба за учениците со ИОП.
- Изработка на проект и изградба на лифт и проширување на просторните капацитети со дополнителни опремени кабинети/училници

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| 7.1 | Управување и раководење со училиштето |
|---|---|

**Теми**
- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

| 7.2 | **Креирање на училишната политика** |
|---|---|

**Теми**
- Јасност и соодветност на мисијата и визијата
- Процедури за креирање на училишната политика
- Резултати од развојното планирање

**Јаки страни**
- Работење според своите надлежности кои произлегуваат од законските регулативи на сите органи и тела во училиштето.
- Партнерски однос и добра соработка помеѓу училишниот одбор, раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.
- Заедничка визија за развој на училиштето од страна на Училишниот одбор и раководниот орган.
- Училишниот одбор воспоставува и промовира стратегија на развој на училиштето и ја надгледува реализацијата на истата.
- Успешно раководење со промените и нивна имплементација во воспитно-образовниот процес.
- Демократско водење на состаноците на училишен одбор, совет на родители, одделенски и наставнички совет, ученичка заедница.
- Добра комуникација и соработка помеѓу сите субјекти во училиштето (училишен одбор, директор, совет на родители, вработени и ученици).
- Вработените учествуваат во креирање, ажурирање и реализација на активности за остварување на стратегиите за развој на целокупната работа на училиштето.
- Училиштето планира и спроведува политики кои вклучуваат мултикултурализам, инклузивност, еколошка едукација и сл.
- Директорот е компетентен за извршување на раководната функција во училиштето, има професионален однос кон работата и промовира тимска работа.
- Сите субјекти во голема мера се задоволни од управувањето, раководењето и организацијата во училиштето.

**Слаби страни**
- Недоволна иницијативност и предлози за подобрување на работата на училиштето од учениците и родителите.
- Недоволна информираност на сите субјекти за работата на училишниот одбор и советот на родители

**Приоритети**
- Поголемо вклучување на Советот на родители и ученичкиот парламент во креирањето на училишните политики
- Поголема транспарентност на работата на училишниот одбор.

## Прилог 31: Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

Училиштето во рамките на воспитно-образовната дејност има изготвено програма и план за заштита и спасување во случај на елементарни непогоди, со цел да се заштити животот, здравјето и достоинството на учениците и вработените.

**Цели:**

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода.
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

***Активности за реализација на целите***

| Планирана програмска активност | Активности | Реализатори | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање | Септември | Успешна реализација на програмата и размена на искуства. |
| Тестирање на знак-звоно потсетување на учениците преку разглас | Оспособување на учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планирање | Октомври | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди |
| Вежбовна активност евакуација-одделенска настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Ноември | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Вежбовна активност на тимот за прва | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација. | Тим за планирање и тим за прва | Декември | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| медицинска помош-предметна настава | | медицинска помош | | |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош-одделенска настава | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација | Тим за планирање и тим за прва медицинска помош и ученици | Февруари | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |
| Вежбовна активност и евакуација-предметна и одделенска настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Април | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | Согледување на позитивните и негативните страни на негативните активности | Тим за планирање и вработени | Мај | Согледување на недостатоци и нивно елиминирање во идни активности. |

Одговорни наставници: Даниела Кузманоска, Дејан Боневски, Јовица Николовски

## Прилог 32: Распоред на дежурни наставници

| I Смена-одделенска настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
| I спрат | Марија Депиновска | Катерина Јовановиќ | Елизабета Темелковска | Маре Ѓиревска | Сања Груева |
| II Смена-одделенска настава | | | | | |
| | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
| I спрат | Соња Николова | Анета Пешевска | Дијана Николовска | Гордана Ѓорѓиевска | Виолета Силјановска |
| I Смена- предметна настава | | | | | |
| | понеделник | вторник | среда | четврток | петок |
| II спрат | Сања Пецевски | Соња Златевска | Валентина Коруноска | Катарина Марковска | Маја Давидовска Бошевска |
| III спрат | Даниела Кузманоска | Соња Ајдаревиќ | Јовица Николовски | Фросина Ристовска | Наталија Ѓорѓевиќ-Миревска |
| Приземје | Александра Војнеска Зикова | Никола Наневски Билјана ДРвошанова | Дејан Боневски Маја Станковска | Весна Трајковска наставник граѓанско образование | Билјана Велјановска |

Забелешка: Распоредот на дежурни наставници може да има измени поради потребите за подобра организација, промена на распоред и слично.

## Прилог 33: План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

| Активности на наставници | Активности на ученици | Време на реализација | Ресурси |
|---|---|---|---|
| Уредување на училиштето по повод позначајни празници и настани | Изработка на ученички творби, нивно изложување и организирање на изложбениот простор | Во текот на учебната година | Потребни материјали за цртање и сликање, Потребни материјали за изложување |
| Организирање на изработка на мото за позначајни празници и настани | Изработка на мото за позначајни празници и настани | Во текот на учебната година | Потребни материјали за изработка на мото |
| Уредување на паноата во ходниците и училниците | Изработка на ученички творби, нивно изложување | Во текот на учебната година | Потребни материјали за изложување<br>Потребни материјали за цртање и сликање |
| Уредување на паноата за презентација на активности од проекти | Изработка на ученички творби, нивно изложување | Во текот на учебната година | Потребни материјали за изложување<br>Потребни материјали за цртање и сликање |
| Поттикнување на креативност и фантазија кај учениците | Изработка на новогодишни украси и уредување на училиштето по повод новогодишните празници | декември | новогодишни украси |
| Поттикнување на свеста кај учениците и вработените за традиционални вредности | Изработка на мартинки | Март | Потребни материјали за изложување Ликовни творби |
| Поттикнување на еко свеста кај учениците и вработените во училиштето | Одбележување на Денот (месецот) на екологијата | март | Ликовни творби од материјали за рециклирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на Велигден | Изложба на ликовни и литературни творби | Април/мај | Потребни материјали за изложување<br>Ликовни творби |
| Одбележување на 1 Април Ден на шегата | Изработка и изложба на ученички творби | Март/април | Ученички маски |
| Одбележување на патронатот на ООУ„Наум Наумовски Борче” | Творење зададена тема и изложување на творбите | Март/април | Потребни материјали за изложување<br>Ликовни творби |
| Изложување на ученички творби на ученици од различна етничка припадност | Континуирано изложување на творби од ученици од различна етничка припадност | Во текот на учебната година | Потребни материјали за изложување<br>Ликовни творби |

## Прилог 34: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

### ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

Етичките кодекси на ООУ „Наум Наумовски Борче“ се збир на начела, правила и општествени норми со кои се дефинира моралното однесување на учениците, наставниците, родителите, вработените и нивните меѓусебни односи.

### ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ

ОДНОС КОН НАСТАВАТА

- Учениците треба да доаѓаат на настава навреме, со потребен прибор за работа;
- Во текот на наставата треба да бидат внимателни, мирни и дисциплинирани;
- Во текот на наставата не е дозволено употреба на мобилни телефони и слични уреди;
- Не е допуштено јадење и пиење за време на наставата;
- Излегување или напуштање на часовите е дозволено само во исклучителни случаи и со дозвола на наставникот.

ОДНОС КОН НАСТАВНИЦИТЕ

- Учениците се должни да ги почитуваат наставниците и сите вработени во училиштето;
- На учениците им е забрането да го навредуваат достоинството на наставниците и сите вработени во училиштето.

ОДНОС КОН УЧЕНИЦИТЕ

- Не е дозволено навредување и омаловажување на соучениците;
- Не е дозволена дискриминација на верска, национална, расна и друга основа;
- Учениците треба ненасилно да ги решаваат проблемите;
- Учениците треба да негуваат пријателски односи.

ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛНИЦА

- Внимателно слушај го наставникот и извршувај ги зададените задачи;
- Работи тивко и не им сметај на другите;
- Крени рака пред да кажеш нешто или поставиш прашање;
- Внимателно слушај додека другите зборуваат;
- Чувај го училишниот прибор и инвентар;
- Својата клупа остави ја чиста и уредна;
- Од училницата излези без трчење, туркање и викање.

**ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ**

- Почитувај го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците,консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека.

**ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИТЕ**

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставникот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;

- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени.

**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;

- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на конфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден.
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето.

## Прилог 35: Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на наставниците е долгорочен интегративен процес во кој преку учење, практична работа и истражувачки активности се развиваат и унапредуваат нивните знаења, вештини и способности. Професионалниот развој на наставниците во основа е процес на унапредување на вештините и компетенциите со цел унапредување на квалитетот на наставата, како и учењето и постигнувањата на учениците.

Унапредувањето на основните професионални компетенции на наставниците опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања и професионални способности и вештини во следните подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;
2. Поучување и учење (планирање и подготовка на наставата, реализација на наставата, оценување на учениците, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби);
3. Создавање на стимулативна средина за учење (создавање на безбедна средина за учење и училишна клима);
4. Социјална и образовна инклузија;
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата и
6. Професионален развој и професионална соработка.

Наставниците и стручните соработници изработуваат личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на основните професионални компетенции, резултатите од интегралната евалуација, екстерните оценувања на знаењата на учениците, извештаите од посети на советници од Бирото за развој на образованието, како и други сознанија за сопствената работа.

Училишната програма за професионален развој ги опфаќа потребите на образовниот кадар детектирани од извештаите на стручните активи и индивидуалните планови за професионален развој на наставниците, како и приоритетите за професионален развој на училиштето.

Професионалното усовршување ќе се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од министерството, и со посебен акцент на интерно стручно усовршување во училиштето, регионални колаборативни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење.

| Компетенции | Тема/ наслов/ Носител | Активности и форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на профе-сионален развој | Потребни ресурси | Учесници | Улога на учесни - ците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување активности за интегрирање на содржините и постигнувањата на меѓупредметните цели во учењето и поучувњето | Интегрирање на сродни предмети од иста или сродна научна област | Индивидуален: проучување стручни извори; Колаборативен стручен актив, консултации, заедничко учење | Да се обезбеди полесно и посуштинско изучување на појавите, поврзување на наставните содржини со реалноста, увид во наставните активности како релевантни и применливи | Интерен, во училиште<br><br>Индивидуален, во училиштето Стручни активи | Стручна литература Прирачници Вебинари, ИКТ-ресурси | Наставници<br><br>Стручна соработници Директор | Учесници<br><br>Реализатор | Септември-Декември, Февруари,-Мај |
| Индивидуализација и диферен-цијација во поучувањето базирано врз потребите на учениците | Синхронизација на педагошките методи и проце дури за педаго шко влијание на различните индивидуални можности и | Индивидуален: Проучување стручни извори, Колаборативен Стручен актив, консултации, заедничко | Флексибилност на наставните методи и постапки во стекнување на пименливи и практични знаења и тенденција кон | Интерен, во учили – штето<br><br>Индивидуален, во училите | Стручна литература Прирачници Вебинари, ИКТ-ресурси | Наставници | Реализатор<br><br>Учесници | Септември-Мај |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | потреби на ученициите како и развивање на позитивна мотивација и ослободување на потенцијалните способности на секој ученик. | учење, работилници. | применливо доживотно учење | Стручни активи | | | | |
| Вклучување на семејствата во планирање на активностите на паралелките и училиштето во заеднички едукативни активности | Запознавање со можните начини на соработка со семејствата и изведување на заеднички едукативни активности | Панел дискусија со наставници и родители | Развивање на успешна соработка со родителите за успешна реализиација на заеднички едукативни активности | Интерен, во училиштето | Стручна литература, ИКТ-ресурси | Стручни соработници Наставници Родители | Реализатор<br><br>Учесници | Септември, Октомври, Март, Април |
| Поттикнување на меѓуврснички почитување на социокултурните и личните разлики | Превентивни активности за меѓуврснички почитување и толерантност во однос на личните и социокултурни разлики | Панел дискусија со наставници и родители работилници Постер презентации, Надворешни соработници-професионалци | Градење на општа добросостојба кај учениците и неутрализирање на несаканите ефекти поттикнати од социокултурните и лични разлики. | Индивидуален, во училиштето Интерен, во училиште | Превентивни програми за општа добросостојба кај учениците, Техничка поддршка, Материјални ресурси, Човечки ресурси (професионалци од | Родители, Ученици, Наставници, Стручни соработници, Директор | Учесници<br><br>Реалиатори | Ноември, Февруари, Март, Мај |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | различни превентивни области) | | | |
| Поттикнување на различни современи методи на учество на учениците во демократско делување во училиштето преку Училишниот парламент | Активно учество во поттикнување на учениците во превземање на активности во ученичко делување и ученички активизам, како и поддршка во делувањето на ученичкиот парламент | Колаборативен: стручни активи, Индивидуален во училиштето | Развивање на свест кај учениците за одговорно однесување преку активно делување во училишниот живот | Индивидуален, во училиштето | Прирачник/ Водич за ученичко учество и организирање, Техничка подршка во реализација на обуките | Наставници Стручна служба директор | Учесник/реализатор | Септември.Ноември, февруари, Април |
| Стекнување вештини во интерперсоналната комуникација на сите инволвирани во училишниот живот | Запознавање и примена на стекнати вештини за подобра интерперсонална комуникација | Колаборативен: стручни активи, Индивидуален во училиштето | Со квалитетна интерперсонална комуникација до поквалитетн училишен живот и задоволство од работата. | Индивидуален, во училиштето | Стручна литература, потребни материјали и средства за работа | Наставници Стручна служба Директор | Учесници Реализатор | Јануари, Јуни |
| Промовирање на колегијални односи и соработка меѓу колегите | Консултација и споделување добри практики помеѓу одделенска и предметна настава | Работилници, презентации, консултации, колегијално учење | Усовршување на вештините за одделни области и примена на техники и изработка на наставни материја-ли и средства за | Интерен, во училиштето | Стручна литература, потребни материјали и средства за работа | наставници | Реализатор/учесник | Ноември, Јануари, Април |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | дадената област (пр.музичко, ликов-но, техничко, фзо) | | | | | |
| Унапредување, дополнување и надградување на професионалните знаења и вештините преку непосредни обуки и континуира-на едукација | Дисеминација на посетени обуки и семинари | -одржување на обука | Пренесување на стекнатите знаења и вештини стекнати на посетени обуки од од БРО или други провајдери | Интерен , во училиштето | Материјали од посетените обуки, проектор и други потребни материјали | Наставници или стручни соработни-ци кои посетувале обука останати наставници | Реализатор<br><br>Учесници | Јануари, Јуни, Август |
| Примена на АИДА методот во планирање и реализација на наставата | Самостојно и одговорно учење преку самостојно поставување на целите и евалуирање на сопственото учење кај учениците | Индивидуален: Проучување стручни извори, Колаборативен Стручен актив, консултации, заедничко учење, | Поттикнување на самостојно и одговорно учење, интринзична мотивираност; | Индивидуален, во училиштето | Материјали од посетените обуки, проектор и други потребни материјали , Отворени часови | Наставници<br><br>Стручни соработници Директор | Реализатори<br><br>Учесници | Септември, Ноември, Февруари, Март, Мај |

| Избрани обуки од каталог на акредитирани обуки | Број на наставници или стручни соработници |
|---|---|
| Програма 1 (наставници): Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење | 6 |
| Програма 2 (наставници): Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците | 8 |
| Програма 5 (наставници): Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште | 6 |
| Програма 10 (наставници): Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | 6 |
| Програма 12 (наставници): Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | 2 |
| Програма 13 (наставници): Настава базирана на проблемски пристап | 2 |
| Програма 14 (наставници): Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми | 3 |
| Програма 15 (наставници): Настава за развивање критичко мислење кај учениците | 2 |
| Програма 16 (наставници): Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво | 5 |
| Програма 22 (наставници): Справување со врсничкото насилство и кибернасилство | 10 |
| Програма 23 (наставници): Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците | 12 |
| Програма 24 (наставници):Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери на добра практиказа создавање на позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн /витуелна училница | 2 |
| Програма 26 (наставници): Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици | 2 |
| Програма 29 (наставници): Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) | 4 |
| Програма 1 (стручни соработници): Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој | 3 |

| | |
|---|---|
| Програма 2 (стручни соработници): Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час | 1 |
| Програма 3 (стручни соработници): Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично | 1 |
| Програма 4 (стручни соработници): Соработка со стручни институции и организации | 3 |

Забелешка: Во текот на учебната година професионалниот план за развој на наставниците може да се дополни или измени во согласност со потребите.

## Прилог 36: Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката со родителите е важен сегмент во животот на училиштето. Таа соработка ги потикнува родителите активно да се вклучат во работата на училиштето. Редовно се информирани за своето дете и за се што се случува во училиштето, а истовремено тие треба да му пружаат помош за неговата успешност. Плодната соработка придонесува кон унапредување на целокупната воспитно-образовната работа.

**Известување за напредокот на учениците**

Родителите редовно се известуваат за постигањата, изостанувањата и поведението на учениците и тоа преку родителски средби, индивидуални средби, евидентни листови, електронски дневник, телефонски контакти и приемен ден на училиштето. За време на приемниот ден на училиштето секој родител може да разговара со предметниот наставник за успехот на своето дете. Соработката со родителите се запишува во електронски дневник на паралелката каде се заведуваат средбите и личните забелешки на наставникот од индивидуалните средби со нив.

**Временска динамика**

Во оваа учебна година планирани се 7 родителски средби:

- Воведна родителска средба – на почетокот на учебната година;
- Прв класификационен период (прво тромесечие)
- Втор класификационен период(прво полугодие) – известување за успехот
- Втор класификационен период(прво полугодие) – усвојување на успехот
- Трет класификационен период - трето тромесечие
- Крај на година – известување за успехот
- Крај на година – усвојување на успехот

Бројот на родителските средби може да се намали, доколку временски се преклопуваат потребите од изнесување на одредени проблематики, но не помалку од 4 родителски средби. По потреба раководителот на паралелката може да закаже вонредни средби за решавање на некои актуелни проблеми.

| **План за одржување на родителски средби** | | | |
|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Активност** | **Содржини** | **Време на реализација** |
| 1. | Воведна родителска средба | - информации за почетокот на учебната година;<br>- делење на бесплатни учебници;<br>- тековни прашања (детски печат, обезбедување, исхрана);<br>- запознавање со содржините од Годишната програма | Септември |
| 2. | Родителска средба на крајот на првото тромесечие | - анализа на успехот на учениците на крајот на првото тромесечие;<br>- делење евидентни листови | Ноември |
| 3. | Известување за успехот на крајот на првото полугодие | - известување на родителите за успехот на крајот на првото полугодие;<br>- предлози за подобрување на успехот | Декември (последна седмица) |
| 4. | Усвојување на успехот на крајот на првото полугодие | - усвојување на извештајот за успехот на крајот на првото полугодие;<br>- делење евидентни листови | Јануари |
| 5. | Родителска средба на крајот на третото тримесечие | - анализа на успехот на учениците на крајот на третото тромесечие;<br>- делење евидентни листови;<br>- предлози за подобрување на успехот | Април |
| 6. | Отворени родителски средба | - информативни средби на родителите со наставниците | Во текот на наставната година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Известување за успехот на крајот на учебната година | - известување на родителите за успехот на крајот на учебната година | Јуни |
| 8. | Усвојување на успехот на крајот на учебната година | - усвојување на извештајот за успехот на крајот на учебната година;<br>- делење на свидетелства | Јуни |

**Средби со Директорот на училиштето**

Родителите кои имаат потреба од контакти со Директорот на училиштето можат да ги остварат во текот на сите работни денови на училиштето. Секако не се исклучуваат и секојдневните контакти по одредена проблематика по претходно најавување во договор со раководителот на паралелката и навремено информирање на родителот.

**Средби со стручните соработници на училиштето**

Оваа соработка се остварува со родителите на учениците во текот на сите работни денови на училиштето. Стручните соработници во конкретни случаи одредуваат термини за средба со родителите во договор со раководителот на паралелката и навремено информирање на родителот.

Активности:

- Запознавање на родителите со наставната програма, условите за работа и организацијата на работата во училиштето;
- Запознавање со Правилата на однесување на учениците, со извадоци од Правилникот за изрекување педагошки мерки, со Правилникот за одржување на компјутерската опрема, со начинот на употреба и одржување на учебниците, Куќниот ред, Кодекс на однесување, Етичкиот кодекс на оценување;
- Цели, задачи, начин на организација и реализација на дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности;
- Редовност, хигиена и дисциплина кај учениците;
- Актуелни прашања: исхрана, обезбедување, осигурување на учениците;
- Информации за планирани екскурзии, зимувања;
- Извештај за постигнатите резултати на учениците;
- Разговори за надминување на проблемите во паралелката поврзани со: успехот, редовноста, дисциплината на учениците;

- Информации од состаноците на Советот на родителите на ниво на училиште;
- Договор на заеднички активности околу организација на разни активности и свеченост: Ден на училиштето, Ден на екологија и сл.;
- Разгледување и анализа на полугодишни извештаи и постигнати резултати;
- Вклучување на родителите во решавање на актуелни проблеми и во проектни активности;
- Разгледување и договарање за начинот на организирање на слободното време на учениците, како превентива за подобрување на успехот и поведението.

Тим: директор, стручна служба, одделенски раководители, наставници

## Прилог 37: Програма за соработка со локална средина и локална заедница

Соработката на училиштето со локалната самоуправа е со цел преку планираните програмски активности и задачи, да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето, а кои се од интерес за воспитно-образовната работа.

Преку ова подрачје ги остваруваме следните задачи:

- информација на пошироката јавност за работата и резултатите на училиштето;
- искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето;
- збогатување на воспитно-образовната работа;
- организирање на заеднички културно, уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината;
- збогатување на воспитно-образовната работа како резулат на размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината.

***Активности за реализација на целите***

| **Планирана програмска Активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Ресурси** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на почетокот на учебната година- со свечен настан за заедничко дружење и забава за идните првачиња | Септември | Ученици, родители, наставници, | Изготвена програма | Создавање и негување на чувство на припадност на локалната заедница |
| Одбележување на почетокот на учебната година-Свечен прием на првачињата со пригодна програма подготвена од учениците од 2-5 одд. | Септември | Учениците и наставниците од одд.настава | Изготвени програми | Создавање и негување на чувство на припадност на училиштето како втор дом |
| Денот на независноста на РС Македонија - 8 Септември | Септември | Историска секција | Изготвени програми | Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во нивното образование |
| Одбележување на 11 Октомври - денот на востанието | Октомври | Историска секција | Изготвени програми | Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во нивното образование |
| Одбележување на 23 Октомври - Денот на Македонската револуционерна борба | Октомври | Историска секција | Изготвени програми | Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во нивното образование |
| Општински Олимписки игри | Октомври | Наставници и ученици | Програми | Соработка, дружење |
| Учество во прославата на Денот на Општина Гази Баба | Ноември | Наставници и ученици | Подготвени изведби со Учениците | Афирмирање на општината |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 13 Ноември -денот на ослободувањето на Скопје | Ноември | Историска секција | Изготвени програми | Подобро информирање на учениците кое ќе им помогне во нивното образование |
| Соработка и средби на детските организации од одделенска настава | Се определува според потребите | Членови на детските организации и одговорни наставници | Изготвени програми | Подобрување на работата во Училиштата |
| Посета на традиционалниот фестивал „Златно Славејче” | Се определува според потребите | Одговорни наставници | Програми | Подобрување на културното ниво |
| Соработка на ученичките заедници | Се определува според потребите | Членови на ученичките заедници и одговорни наставници | Изготвени програми | Подобрување на работата во училиштата |
| Пречек на Нова година-новогодишна програма | Декември | Наставници и ученици | Изготвени програми | Соработка, дружење |
| Манифестација „КСАНТИКА“ изработка на Мартинки | Февруари | Наставници и ученици | По избор | Соработка, дружење |
| Приредба по повод 8 Март - денот на жената | Март | Наставници и ученици | Изготвени програми | Соработка, дружење |
| Одбележување на Денот на екологијата и пролета | Март | Наставници и ученици | Изготвени програми | Соработка, дружење |
| Свечена приредба по повод патрониот празник на училиштето | Април | Наставници и ученици | Изготвени програми | Негување на традицијата и промовирање на вредностите на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на манифестација „Априлијада“ | Април | Наставници и ученици | По избор | Соработка, дружење |
| Учество на манифестацијата ,,Во чест на Св. Кирил и Методиј | Мај | Членовите на секциите и наставникот | По избор | Соработка, дружење |
| Музички средби | Се определува според потребите | Членовите на секциите и наставникот | По избор | Соработка, дружење |
| Учество на разни заеднички спортски манифестации | Се определува според потребите | Членовите на секциите и наставници | По избор | Соработка, дружење |
| Средба на литературни и ликовни дружини | Се определува според потребите | Членовите на секциите и наставникот | Лични творби по избор и според барањата | Соработка, дружење |
| Училиштето и локалната средина | По потреба | Училиштето и локалната средина | Годишни програми на наставниците | Јакнење на соработката |
| Перманентна соработка со установи и претпријатија | Континуирано | Директор и претседател на училишен одбор | Програми и проекти | Подобрување на условите во училиштето |
| Едукација на учениците за функционирање на општината | Во текот на годината | Ученици и лица од општината | Програми, проекти и портфолија | Продлабочување на знаењата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (Градоначалник и Совет на општината) | | | | |
| Хуманитарнен настан во соработка со ЦК на општина Гази Баба | Мај | Ученици, наставници, Директор | По избор | Развивање на чувство на солидарност , хуманост, помош на другарчињата |
| Соработка со средни училишта и нивна промоција | Мај | Ученици, наставници, Директор | Материјал по избор на учениците | Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во одлукатаза продолжување на нивното образование |
| Средба со претседателот на советот на општината | Мај | Директор и претседател на советот | Законски прописи | Унапредување на демократската свест |
| Промоција и наградување на првенец на генерација во IX одделение | Јуни | Училиште; Градоначалник на Општината Гази Баба; одговорен наставник, ученици од IX одделение | Изготвена програма | Афирмирање на постигањата на учениците |
| Презентирање на постигањата на училиштето | Јуни | Директор и стручни Соработници | Документи и извештаи | Афирмирање на училиштето |

Одговорни наставници: Соња Ајдаревиќ, Виолета Силјановска, Александра Војнеска Зикова и Анета Пешевска

## Прилог 38: Програма за грижа за здравјето на учениците

| | |
|---|---|
| **Главна цел** | Програмата да обезбеди:<br>- услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето;<br>- оспособување на учениците и вработените во училиштето и локалната заедница за превземање на акции за поздрав живот, училиште и средина. |
| **Специфични цели** | - Превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето на учениците;<br>- подигање на степенот на информираност на учениците за здрави животни стилови со цел рана превенција на незаразни заболувања. |
| **Задачи** | -Обезбедување на оптимални услови во училиштето за реализација на програмата за здравствена заштита и здравствено воспитување и унапредување на здравјето и психофизичкиот развој на учениците;<br>- зголемување на фондот на здравствени знаења и формирање на здравствено-хигиенски навики и ставови кај учениците;<br>- превземање на хигиенско-епидемиолошки превентивни мерки за подобра заштита на учениците. |

Здравствената едукација е насочена кон:

- Воспоставување или менување на негативните навики и обичаи во позитивни, во врска со чувањето и унапредувањето на здравјето;
- Превенција на акутни и хронични незаразни заболувања;
- Заштита на човековата животна и работна средина;
- Превенција од  болестите на зависности

| ред број | Цел на активност | Активност | Носител на активноста | Време на реализација | Исходи |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Хигиена во училиштето- грижа за здравјето на учениците преку постојани хигиенски услови во училницата, училиштето и училишниот двор | · Преглед на личната хигиена на учениците<br>- грижа за хигиената во училницата, холовите, училишниот двор и непосредната околина<br>- редовно хигиенско чистење на санитарните јазли со средства за дезинфекција<br>- дезинфекција, дератизација и дезинсекција<br>- едуцирање и развивање на свеста кај учениците за личната и колективната хигиена<br>· Средување на работното катче и просторот во училницата<br>· Проверка на исправноста на инвентарот во училницата | Наставници<br><br>одделенски хигиеничари<br><br>ученици училиште | контуинирано во текот на годината | · Подобрување на општата хигиена<br>· Развивање на навики за уредност и естетско уредување на просторот<br>· Развивање на еколошка свест и култура |
| 2. | Градење на правилни навики за здравствена заштита и здравствено образование | <u>Разговор за:</u><br>· заразни болести<br>· како да се заштитиме од настинка и грип,<br>· лична хигиена и превентива против вошливост | Наставници | IX, X, XI во текот на целата учебна година | · Ја осознаваат потребата од заштита од заразните болести<br>· Учениците самостојно да се грижат за своето здравје и да формираат позитивно здравствено-хигиенски навики |
| 3. | Противепидемиолошки мерки | Предавање и препораки за заштита од епидемии, пандемии | Наставници По потреба санитарна служба и лекари | по потреба во текот на учебната година | · примена на препораките во случај на настаната пандемија, епидемија или грип |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Систематски прегледи Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој; Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман; Рано препознавање на ризични видови на однесување; детекција на бихејвирални ризици; Едукација за усвојување на здрави животни стилови | **Систематски преглед за учениците во учебната 2023/2024 година**<br>III Одделение<br>V Одделение<br>VII Одделение<br>Систематските прегледи се одвиваат според календарот за работа на здравствените институции. Нивната реализација се одвива во соработка со Медицинскиот центар- н. Ченто, без да се попречува наставата пред и после завршување на часовите. | ПЗЗЗ одделенски и предметни наставници, по потреба родител | во текот на учебната година | · Подобрување на детската здравствена состојба и рано детектирање на некои проблеми со цел нивно спречување |
| 5. | Антропметарски испитувања за определување на растот и нутритивниот статус | -Мерење на телесна тежина и висина, обем на надлактица, обем на половина и обем на колк кај деца на возраст од I и II одделение<br>- Мерење на телесна тежина и висина кај деца од V одделение | Во соработка со вработени во центарот за здравствена заштита | I, II и IV квартал во годината | · Воспоставување или менување на негативните навики и обичаи во позитивни Унапредувањето на здравјето и правилниот раст и развој на детето |
| 6. | Отстранување на деформитетите на ‘рбетниот столб и рамни стапала | · Разговор<br>· Трибина на тема:Деформитетите на р’бетниот столб кај учениците и корективната гимнастика<br>- Примена на корективна гимнастика на часовите по физичко и здравствено образовани | Наставници Наставник по физичко и здравствено образование доктори родители ученици | XI месец<br><br>во текот на целата година | · Стекнување навики и грижа за правилно држење на телото за превенција на настанување на деформитети примена на вежбите за корективна гимнастика и отстранување на настанатите деформитети |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Промените во пубертетот кај девојчињата | ,,Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата“ VI одделение | Стручни лица наставници ученици | III<br>во текот на целата година | * едукација, стекнување навики и одржување на личната хигиена и репродуктивното здравје |
| 8. | Грижа за здравјето на забите -орална хигиена | **Акционен план за тековната 2023/2024 година<br>Превентивна стоматологија**<br>залевање на фисури и јамички — V – VI одделение<br>залевање на фисури и јамички — IV одделение<br>залевање на фисури и јамички — III одделение<br>залевање на фисури и јамички — II одделение<br>залевање на фисури и јамички — I одделение | Стоматолози од амбуланта Ченто и други стоматолози Наставници | IX – X<br>XI – XII<br>XII<br>II, III, IV<br>IV – V | · Превентива на болести на забите и устата<br>· превентивни мерки за редукција на забниот кариес кај децата |
| 9. | Континуирана едукација на школски деца од 6 – 9 години | Механичка и хемиска контрола на денталниот плак<br>· Работилници и предавања за начинот и важноста од спроведување орална хигиена:<br>· „ Градба и функција на орална празнина“<br>· „ Правилна орална хигиена“<br>· „ Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели“ | Стоматолози од амбуланта Ченто Наставници | во текот на целата година<br>X<br>II<br>III | · Едукација и мотивација за одржување на оралното здравје |
| 10. | Унапредување на социјалното здравје | Работилници:<br>Комуникација наставник- ученик-родител | Наставници | во текот на учебната година | -подобрена комуникација |
| 11. | Унапредување на менталното здравје | Работилници на тема:<br>„ Разбирање на другите и нивно прифаќање“<br>„ Како да ја изградиме самодовербата“ | Наставници | X месец<br>XII месец | -подобрување на соработката и другарувањето на учениците |

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>- стекнување самодоверба и градење на ментално здрава личност</td></tr>
<tr><td>12.</td><td>Имунизацијата и вакцинацијата-</td><td>Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација според насоките од Министерството за здравство, која се спроведува во Медицинскиот центар н. Ченто, а не во училиштето поради несакани ефект<br>План програма за имунизација во тековната 2023/2024 година<br>Ревакцинации<br>MRP — I одделение<br>DT и Polio — II одделение<br>Tetanus и Poliomielitis — IX одделение<br>Вакцини<br>Прва доза HPV — Девојчиња VII одделение</td><td>ПЗЗЗ одделенски и предметни наставници, по потреба родител</td><td>во текот на учебната година се одвива во соработка со Медицинскиот центар- н. Ченто, без да се попречува наставата пред и после завршување на часовите.</td><td>Заштита и превенција од заразни болести</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Отстранување на нарушување во говорот кај децата</td><td>· Испитување на говорот кај децата</td><td>Соработка со вработени во центарот за рехабилитација на говор и слух</td><td>во текот на учебната година</td><td>· Отстранување на нарушувања во говорот</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Грижа на здравјето на детето преку грижа за безбедноста на детето и прва помош | - Разговор за повреди и превенција на повреди<br>- ПП по настанати повреди<br>- цивилна заштита-корелација со програмата за цивилна заштита на училиштето<br>- природни непогоди | Наставници ученици соработка со лекар од Прва помош | X, III, IV<br><br>во текот на учебната година | · Развивање на свест и знаење за потреба за безбедност<br>· Превентива на настанок на повреди<br>· Стекнување знаења за прва помош при настанување на повреда<br>· создаваат потреба од заштита при природни непогоди |
| 15. | Осигурување на учениците | - несакани повреди во училиштето, училишниот двор | Училиштето и осигурителна компанија | Во текот на една година | -Надомест при евентуални повреди |
| 16. | Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштето | · Организирана исхрана на учениците преку училишната кујна според стандардите за исхрана и за оброците според чл.74 од Законот за основно образование кој го утврдува МОН во соработка со стручни установи. А нутритивниот квалитет на храната и оброците ги утврдува Институтот за јавно здравје и Центарот за јавно здравје на Република Северна Македонија<br>- Корелација со содржините од предметите за правилна и здрава исхрана<br>Работилница:<br>„Меѓународен ден на храна“<br>„ Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери“<br>„Здрава храна за детство без мана“<br>- запознавање на учениците со основните принципи на правилна исхрана; | Наставници<br>Ученици<br>Училиште<br>Нутриционист<br>доктор | во текот на учебната година | · Развивање на свест за знаењето на исхраната во функција на здравјето<br>· Развивање навики за правилна исхрана<br>- развивање навики за редовно пиење чиста вода |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - болести на исхраната:анорексија, булимија, дијабетес, хипертензија;<br>- здрави навики во исхраната-предавање<br>- рецепти за здрава храна<br>-продажни акции на здрава храна<br>-пишани и ликовни творби за здрава храна<br>„Чиста вода за нашите деца“<br>ученици од I- IX одделение | | | |
| 17. | Грижа за физичкото здравје на децата | Разговор за:<br>▪ телесни промени во оваа возраст<br>▪ педофилија<br>▪ постапки за спротиставување на сексуално вознемирување | Наставници ученици органи за безбедност | IV, V, VI во текот на учебната година | ▪ ги запознава телесните промени што настануваат како резултат на сексуалното созревање;<br>▪ осознава за сексуално вознемирување-педофилија;<br>▪ знае кои постапки може да се превземат за да се спротистави на сексуално вознемирување; |
| 18. | Грижа за здравјето на децата преку информирање за последиците од алкохолот и пушењето | Разговор за:<br>▪ штетноста од<br>▪ конзумирање алкохол по себе и по другите<br>▪ последици од пушење по себе и подругите | Соработка со Црвениот крст Наставници ученици лекар по општа медицина | XII, I, II во текот на учебната година | ▪ ги знае последиците од пушењето, конзумирање алкохол по себе и по другите;<br>▪ развој на свест за штетноста од пушењето и алкохолот по здравјето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање и информирање на наставниците со показателите и знаците за следење и откривање на надареното, талентираното и креативното дете во самата паралелка | Септември | Стручна литература и презентација на активи за рано препознавање на овие ученици | Стручна служба |
| Изработка на скала на надареност, талентираност и креативност и доставување до наставниците. | Октомври | Скала за надареност талентираност и креативност | Психолог наставници |
| Примена на психолошки мерни инструменти кај ученици за кои наставниците детектирале надаренор, талент или креативност. | Октомври | Примена на психолошки мерни инструменти | Психолог наставници |
| По сумираните резултати повратна информација до наставниците за согледувањата на психологот добиени од средбите со оваа група на ученици | Октомври | Психолошки мерни инструменти | Психолог Стручна служба наставници |
| Пополнување на скала за надареност од страна на родителите, чии деца се идентификувани за надарени, талентирани или креативни | Ноември | Скала за надареност талентираност и креативност | родители |
| Пополнување на скала за надареност од страна на соучениците во одделенијата во кои идентификувани се ученици со надареност, талент и кретивност | Ноември | Скала за надареност талентираност и креативност | соученици |
| Препораки до наставниците и родителите за работаа со оваа група на ученици | Ноември | Брошура, разговори | Психолог педагог |
| Работа со оваа група на ученици, советодавни разговори за правилно насочување на енергијата и сл | континуирано | Евидентни листови за разговор со ученици, дневник за работа со ученици | Психолог педагог |
| Истакнување на постигнатите резултати на оваа група на ученици | континуирано | | Психолог педагог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Континуирано вклучување на оваа група на ученици во организирање на културни манифестации, натпревари | континуирано | Евидентни листови за разговор со ученици, дневник за работа со ученици | Психолог<br>Педагог<br>дефектолог |
| Пофалби и награди за оваа група на ученици кои во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето од повеќе области и тоа: резултати во учењето, натпревари во знаење, спортски натпревари, литературни и ликовни конкурси во училиштето и вон него. | Континуирано во текот на учебната год. и на денот на доделување свидететлства | Награди од типот на (училишен прибор, книги, енциклопедии, и сл.) | Наставници<br>Стручни органи<br>и тела во училиштето и надвор од него |

Факт е дека категоријата на надарени и талентирани деца бара повеќе персонализација, повеќе внимание со цел да се развијат нивните вештини и способности. Програмите за помош на талентираните и надарени ученици во минатото беа базирани на идејата за нивно обезбедување со повеќе информации, повеќе материјали и можеби повеќе активности со цел да се осигуриме дека тие на тој начин ќе стекнат повеќе знаења. Денес на ваквите ученици им се приоѓа многу поорганизирано и од повеќе аспекти.

Во многу земји во светот, па и кај нас, на надарените и талентирани ученици, соодветно Законот, им се нудат некои од флексибилно водените образовни опции, како што се:

- порано запишување во училиште
- прескокнување на учебни години;
- работа по напредни наставни програми;
- овозможен континуиран напредок во нивните редовни паралелки;
- паралелно запишување во повисоки одделенија или напредни паралелки,
- полагање на испити.

За работа со надарени и талентирани ученици се подготвуваиндивидуализирана програма за работа во училиштето, со која е испланиран развојот на ваквиот ученик и неговото напредување во учењето, земајќи ги притоа во предвид психолошкиот, педагошкиот и економскиот аспект. Откако ученикот ќе биде препознаен од страна на наставниците како надарено дете, следува процесот на идентификација, односно мерење на степенот на таа надареност од страна на психолошко - педагошката служба, за што постојат посебни протоколи. Целиот процессе одвива во соработка со родителот, односно старател на ученикот.

Стручната служба во ООУ„Наум Охридски— ја следи надареноста на учениците во повеќе области, а во учебната 2023/24 година немаме запишани надарени ученици по областите кои се следат:

| вид на надареноста на ученикот | | | вкупно ученици |
|---|---|---|---|
| дефиниција | јазично изразување | усно јазично изразување-ораторство | |
| | | писмено јазично изразување | |
| | | комбинирано јазично изразување | |
| | математика | | |
| | ликовна уметност | | |
| | музичка уметност | | |
| | спортски активности | | |
| | рачна работа | | |
| | комуникации | | |
| | лидерство | | |
| | разбирање на апстрактни односи | | |
| | разбирање на природните појави | | |
| | **ВКУПНО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |

Училишниот тим на ООУ „Наум Охридски„ кој во учебната 2023/2024 година ќе работи на поддршка на наставниот кадар за детекција и развој на надарени и талентирани ученици, е во состав:

психолог

Марина Миткова - педагог

Билјана Атанасовска - одделенски наставник

Љупка Богдановска - предметен наставник

Општите цели кои тимот ќе ги има предвид при организирање на работата со надарени и талентирани ученици, се:

- Развивање на способностите на ученикот;
- Унапредување на постигањата на надарените ученици;
- Учество на натпревари и промоција на ученикот;

- Правилен психо-физички развој на личноста на надареният ученик.

  Овие цели се предвидува да бидат постигнати со реализација на следнава :

**Програма за работа со надарени и талентирани ученици**

| Конкретни цели | Активности | реализатор | време | очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Идентифику-вање на надарени и талентирани ученици | -Формирање на училишен тим за работа со надарени и талентирани ученици<br>- Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици<br>- Информација на наставниот кадар за планираните активности | Училишен тим, стручна служба, наставници | **VIII** | -наставниот кадар знае постапки за препознавање и работа со надарени ученици<br>-организирано следење на надарените и талентирани ученици<br>-увид во постоечките ученички капацитети на училиштето<br>- подигање на свеста на родителите за можностите на нивните деца |
| | - Споредување и препознавање ученици кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници<br>- Разговори со одделенски раководители, предметни наставници и родители | | **IX** | |
| Процену-вање на надареност | - *Евалуирање* на квалитетот на постигнатите резултати во учењето.<br>*Тестирања* на способностите, особини на личноста и знаењата на учениците.<br>- СКР на стручниот работник со предметните наставници за секој ученик поединечно;<br>-примена на современи наставни форми<br>-избор на задачи, давање на проектна или есејска работа | стручна служба, предметни наставници | **IX** | Планирање,организација на поучувањето<br>- проширени извори на податоци;<br>- прилагодување на содржините кон потребите на учениците |
| Пружање соодветен образовно-воспитен третман на ученикот | - активирање на програмите за работа со надарени и талент. деца<br>- дополнување на програмите соодветно проценетите индивидуални способности и карактеристики на ученикот<br>- континуирана изработка на индивидуализирани инструменти за утврдување на постигањата на надарените ученици<br>- СКР со надарените учениците ;<br>- следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење,вреднување на учениците | стручна служба, предметни наставници | **X** | Реална проценка на постигнувањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Определување форми, методи за работа со ученикот |

| Конкретни цели | Активности | реализатор | време | очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување на постигањата на надарените и талентирани ученици | - СКР со родителите нанадарените ученици,<br>- СКР со наставниците занадарените ученици,<br>- анализа на постигањата нанадарените ученици во работата на секциите и во реализацијата на додатнатанастава<br>- изучување на дополнителнипрограмски содржини,<br>- вклучувања во истажувачки иработни тимови | стручна служба,, предметни наставници оддленски раководите-ли, родители | **XII** | Почитување на разлики и коректен однос кон надарените ученици, Подобрена социјализација на надарените ученици, Подобрување на постигањата надарените ученици, |
| Утврдување на индивидуалните постигања на надарените и талентирани ученици | -следење на успехот, редовноста на учникот;<br>-увид во изработки наученициte;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување на учениците | стручна служба,, предметни наставници | **I-II** | Реална проценка на постигањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Примена на соодветни форми, методи за работа со ученикот |
| Утврдување на социо-емоционалниот статус, развој на надарените ученици; | организирање на индивидуалниродителски средби на стручната служба и одделенскиот раководител со родителот/ старателот на ученикот | стручна служба,, предметни наставници | **III-IV** | Развивање на позитивни ставови кај другите ученици кон надарените ученици |
| Утврдување на индивидуалните постигања на надарените и талентирани ученици | -следење на успехот, редовноста на учникот;<br>-увид во изработки наученициte;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување на учениците | стручна служба,, предметни наставници | **IV** | Реална проценка на постигањата;<br>-измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Примена на соодветни форми, методи за работа со ученикот |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на надарените ученици | -утврдување на критерими завреднување на надарените ученици во согласност со наставни планови, програми, | стручна служба,, предметни наставници | **X** | Развој на индивидуалните инструменбти за вреднување на надарените и талентирани ученици |

| Конкретни цели | Активности | реализатор | време | очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| општествената подршка за развојот на надарените деца | - материјална стимулација: стипендии, помош за опрема, кредити,студиски патувања и сл.<br>-помош при професионална ориентација,<br>-овозможување контакти и поврзување со организирани стручни друштва, фондови и други соодветни институции. | Директор, стручна служба,, наставници локална самоуправа, бизнис сектор, НВО, средни училишта | V | Континуиран напредок и повисок општествен статус за ученикот |
| Евалуација на програмата за работа со надарените ученици | -утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата;<br>-конципирање развоен план за работа со надарените ученици; | стручна служба, предметни наставници одд.раководители | VI-VIII | Изработка на ИОП-и за работа со надарени ученици; Подобрување на нивните постигања и социјализација |

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Основното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование. Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Инклузијата на сите деца во редовното основно образование се дефинира со Концепција за инклузивно образование, донесена од министерот на предлог на Бирото за развој на образованието.

Реализацијата на инклузивно образование во ООУ„Наум Охридски,, Булачани подразбира и вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека наша обврска е да обезбедиме образование за сите деца.Училиштето во сите три објекти има обезбедено пристапност до инфраструктурата и услугите, што значи дека се превземени и се превзематт мерки кои осигуруваат дека учениците со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкотоопкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во училиштето.

Училишниот инклузивен тим го формира директорот и овој тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Неговиот мандат е 3 години. Исто така во училиштето се формираат и инклузивни тимови за секој ученик кој што работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма.

Училишниот инклузивен тим на ООУ „Наум Охридски,, е во состав:

Елизабета Андова- Директор

Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор

Стручен соработник-психолог

Љупка Богдановска –наставник по македонски јазик

Соња А.Трајковска- одделенски наставник

Ирена Костовска - родител

Оливера Тодевска - родител

.

Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.

Инклузивниот тим за ученикот е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, психологот во училиштето и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Инклузивниоте тимови за учениците во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови. Во работата на инклузивниот тим за ученикот, по потреба, може да се повикаат да учествуваат и ученикот, други наставници и стручни соработници или кое било друго лице од доверба на ученикот. Инклузивниот тим за ученикотподготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена одденот на започнување на настава на ученикот во училиштето. Исто така, тимот ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци во рамки на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединети Нации за правата на лицата со попреченост, приВладата на Република Северна Македонија. При изработката на ИОП и модифицирана наставна програма, инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници вклучени во образовниот процес на ученикот.

При изработка на индивидуализираната образовна програма (ИОП) се поставуваат краткорочни и долгорочни цели. Краткорочните цели подразбираат мали области кои ученикот треба да ги совлада за да ја оствари годишната цел. Тие воедно се и показатели за остварливоста на долгорочните цели и исправноста на проценката. Потребно е да се проверуваат почесто, понекогаш и дневно, за да може да се врши исправка на поставените задачи. Долгорочните цели (најчесто се за една година) укажуваат на тоа што можеме да очекуваме од ученикот да совлада за учебната година. Притоа, мора да се води сметка за неколку работи:

- моменталното ниво на можностите на ученикот и годишните цели;

- по извршената проценка на ученикот да се направат годишни цели за секоја област на развој и учење која сме ја идентификувале како слабо развиена или неразвиена;

- да се води сметка за приоритетните потреби на детето;

- годишните цели мора во потполност да им бидат јасни на сите членови на тимот кој ја работи и реализира програмата, како и на родителите.

Родителот-партнер е концепт што се чини се повеќе го зајакнува својот кредибилитет. Укажувањата на тоа дека родителот поседува корисни информации за своето дете, можат да бидат од голема помош за наставникот. Само родител кој ја сфатил и прифатил состојбата на своето дете со посебни образовни потреби, може да му помогне и да биде успешен партнер со наставникот во решавањето на сите препреки кои ќе се појават.

Од минатата учебна година во ООУ„Наум Охридски„Булачани, остануваат регистрирани двајца ученици со посебни образовни потреби. Опис на дијагнозата за учениците според која треба да се одредат специфичноститите во наставните програми кои ќе ги совладуваат овие ученици, е даден во табелата:

| | Опис на дијагноза / Вид на посебни образовни потреби | одд | вкупно |
|---|---|---|---|
| Дефиниција | Аутизам<br>Недостаток на очекуваниот нормален физиолошки развој | II | 1 |
| | Специфични говорни и јазични развојни растројства | II | 1 |
| | Епилепсија<br>Специфично растројство на говорна артикулација<br>Дислалија | IX | 1 |
| | Потешкоти во совладување на училишните вештини интелектуален дефицит. | V | 1 |
| | Вкупно деца со посебни потреби во училиштето<br>(со доставен издаден документ од соодветна установа) | | 4 |

За поддршка на учењето за учениците со попреченост, во учебната 2023/2024 година ООУ „Наум Охридски,, во согласност со родителот, обезбеден е образовен асистент за еден од учениците со попреченост по предходно донесено мислење од МКФ.

Во досегашната практика прифаќањето на децата за кои постои мислење од стручните соработници дека имаат развојни или други психо-физички проблеми се реализира по следната постапка:

- Распоредување на детето во редовна паралелка со дечиња со кои претходно било во контакт ;
- Во генерациите каде има повеќе деца со посебни развојно-образовни потреби тие рамномерно се распоредуваат во паралелките;
- Наставникот кој ја води паралелката се информира за бројот и видот на посебните потреби на децата;
- Се организира заедничка средба на дефектологот, психологог, педагогот, наставникот, родителот на која се договара стратегија за работа со детето во училиште/дома;
- Вклучување на родителите од паралелката во запознавање со попреченоста која ја имаат соучениците на нивното дете-прифаќање, социјализација на учениците со посебни потреби;
- Планирања на наставникот на активни методи, групна работа за соодветно вклучување на децата со посебни потреби во воспитно-образовниот процес;
- Дефектологот, наставникот, психологот, педагогот ги следат постигнувањата на детето, во однос на способностите на детето;
- Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците со посебни потреби се прави со методи, постапки кои овозможуваат ученикот да ги искаже своите потенцијали;
- Во случаи каде детето не постигнува образовни резултати или во однесувањето се појавуваат непожелни облици на поведение (агерсивност, хиперактивност, дифузно внимание, екстремна екстра-интравертираност), се бара мислење од институција надлежна за проблемот (Центар за ментално здравје на деца и младинци, Центар за говор, слух, детски педијатар-неуропсијатар);
- Врз основа на добиеното мислење од институцијата дефектологот, психологот, наставникот, родителот договараат модалитети на делување, во согласност со потребите на детето, неговото развојно ниво, ставовите на родителите;
- Континуирано се следи реализацијата на договорените активности.

Во програмата за работа на инклузивниот тим (Прилог 11) се планираат активности за сите видови поддршка на учениците со посебни образовни потреби: за ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми, со специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат однеповолни социо-економски, културни и/или јазични депривирани средини.

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

На почетокот на учебната година училиштето ги информира родителите/старателите на учениците од шесто до деветто одделение за можноста за дополнителна поддршка - подучување на нивните деца од страна на тутор-волонтер по наставни предмети кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, а за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето. Дополнителната поддршка ја реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот. Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени во програмата. Училиштето им нуди помош и поддршка на родителите/старателите при избор на тутор-волонтер од порталот/веб-апликацијата за туторство која содржи дата база на одбрани студенти - тутори. До сега во нашето училиште ниту еден ученик не користел туторска поддршка.

# 9. Воннаставни активности

Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштата ООУ„Наум Охридски,, с.Булачани, се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците, со цел училиштето да стане место за социјализација и привлечна средина за учење. Изборот на воннаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа. Особено внимаваме воннаставните активности да ги развиваат компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) на учениците во сите подрачја, коишто не се опфатени или, само делумно се покриени со наставните програми, а се во согласност со Националните стандарди кои треба да ги постигнат учениците до крајот на основното образование.

Во ООУ„Наум Охридски-Булачани во учебната 2023/2024 година ќе се реализираат повеќе видови воннаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

- краткотрајни воннаставни активности
  - излети и екскурзии;
  - еднократни рботилници
  - акции во училиштето или во заедницата

- подолготрајни воннаставни активности
  - секции/клубови

Организирајќи различни видови воннаставни активности очекуваме дека ангажирањето на учениците во нив ќе им овозможи:

- да изградат попозитивен став кон училиштето
- да ја подигне нивната мотивацијата за постигање повисок училишен успех
- индиректно да доведе до подобрувањето на училишниот успех;
- да се намали ризичното однесување на учениците и да се редуцира опасноста од напуштање на училиштето.

нивното учество во процесот на донесување одлуки во рамките на училиштето да има позитивни ефекти врз развивањето на животните вештини самодовербата, врз нивните капацитети за демократско одлучување, врз односите меѓу учениците и возрасните, како и на целокупната училишната клима.

Заради сите наброени бенефити кои се очекуваат, се трудиме учениците да бидат активни фактори во: планирањето, програмирањето, организацијата и реализацијата на воннаставни активности што ги поттикнуваат, ги вклучуваат и ги осамостојуваат во учењето и секојдневните активности.

Во нашето училиште се создаваат сите услови согласно расположливите ресурси и средства, за учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот и поведението во редовната настава, да се вклучат и да се потврдат со своите постигања. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно. Училиштето при организирањето на воннаставните активности води сметка за заштита од дискриминација по кој било основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици. За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности. Секој наставник го евидентира сопственото учество во реализацијата на воннаставнитеактивности во Педагошката евиденција за воннаставни активности, каде што ги внесува и сите други барања поврзани со самите активности. По завршувањето на реализацијата на воннаставната активност, стручната служба во училиштето го верификува неговото учество во дневникот. Стручната служба подготвува посебен извештај од реализацијата на воннаставните активности на ниво на училиштето, кој се презентира пред Наставничкиот совет. Во извештајот се презентираат и сегрегирани податоци за полот и за етничката структура на учесниците и за учеството на децата со посебни образовни потреби во секој вид реализирани воннаставни активности. Педагошката евиденција за воннаставните активности станува дел од целокупната педагошка евиденција на наставникот и како таква претставува дел од училишната документација. Пополнетата Педагошки евиденции за воннаставни активности, заедно со севкупниот извештај од реализираните воннаставни активности, служат како основа за натамошно планирање и за подобрување на квалитетот на воннаставните активности и се користат при

самоевалуацијата и интегралната евалуација на училштето. Насоките за подготовка на дневникот на наставник за воннаставни активности ги изготвува Бирото за развој на образованието. Програмата за реализација на воннаставни активности е дадена во Прилог 16.

## 9.1. Училишни спортски клубови

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на учениците во нашето училиште е основан УСК „Наум Охридски„. Согласно Законот, негови основачи се најмалку пет наставници кои во училиштето засновале работеноднос на неопределено време. Основачи на училишниот спортски клуб „НаумОхридски,, се:

- Ненад Рајковчевски- претседател – наставник по физичко и здравствено образование
- Томи Спасовски – наставник по физичко и здравствено образование;
- Дејан Туповски – наставник по физичко и здравствено образование
- Снежа Ангеловска – одделенски наставник
- Билјана Белогаска - одделенски наставник

Програмата за работа на училишниот спортски клуб е дел од Прилог 16.

## 9.2. Секции/Клубови

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно (1-2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Во нашето училиште секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес. Тоа се ученици од иста паралелка или различни паралелки оид исто одделение, но може да се формира и секција за ученици од различни одделенија во ист возрасен циклус. Притоа е битно целата групазаедно и континуирано да учествува во работата на секцијата.

Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата. Во рамките на овој вид воннаставни активности, можни се два типа на секции:

- секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/ области;
- секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (пр. фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура).
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (пр. интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање); и
- спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пингпонг,

планинарење, јога, пилатес, велосипедизам).

На крајот на учебната година, училиштето, преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале во следната учебна година. Анкетата е намената за учениците и за родителите кога се работи за ученици од I - III одделение. Анкетата може да вклучува понуда од која треба да се врши изборот, а самата понуда, освен воннаставните активности што ги нудат наставниците, мора да ги земе предвид интересите на учениците изразени преку ученичките тела. Врз основа на резултатите од анкетата училиштето ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на

избраните секции. Изборот на наставниците се прави преку активите на наставниците и на Наставничкиот совет, врз основа на распоредот на агажираноста на секој одделен наставник во наставните активности. Притоа се има предвид дека секциите за проширување/продлабочувае на содржините од наставните предмети/области може да ги водат само наставниците од соодветните предмети/области. За другите видови секции, ангажманот на наставникот не мора да биде непосредно поврзан со предметите што ги предава доколку самиот има лични афинитети и дополнително стекната стручност за водење на конкретна секција. Одговорните наставници може да бидат самостојни реализатори на воннаставната активност, може да ја реализираат тимски со свои колеги (двајца или повеќе наставници заедно), или заедно со родители волонтери со лични афинитети и минимум стручност за конкретната воннаставна активност. Одговорните наставници (самостојно или со кореализаторите на активноста) прават планирање за секциите. Планирањето за секоја секција ги содржи следниве елементи:

- Име на секцијата;
- одговорен наставник/одговорни наставници за реализација на секцијата;
- одделенија/возраст на учениците за кои е наменета секцијата и вкупен број на учесници во групата;
- тема/подрачје (со носечките содржини и активности) опфатени со секцијата;
- цели на секцијата (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста);
- временска рамка за реализација и број на часови посветени на секцијата;
- потребни просторни услови;
- неопходни дидактички средства и материјали/ресурси и
- предвиден начин на следење на учеството на учениците.

Во Прилог 16 се прикажани одбраните секции за реализација во текот на учебната 2023/2024 година во ООУ„Наум Охридски,, с. Булачани и подрачните училишта. Просторните услови како и неопходните средства и материјали за реализација на активностите на секоја од секциите ќе бидат додефинирани во текот на реализацијатазаради специфичните услови во кои ќе се реализира оваа учебна година.

Доколку во училиштето постојат објективни услови, може да се реализираат и други секции или и други цели, но тие треба да бидат насочени кон остварување на општите цели на воспитанието и образованието и задачите на слободните активности низ поизразити интеракциски односи, рамноправност, самоиницијатива, заедничка одговорност, самодисциплина и сл.

За разлика од методите на работа во редовната настава, при реализација на секциите попродуктивни и поадекватни се илустративно - демонстративните, лабораториско-експерименталните или, пак, од вербално-текстовната група разговори, панел и слично. Основна организациска форма на работа на слободните активности е часот, бидејќи така е определено со планот за застапеност на слободните активности. Меѓутоа, овде часот ги нема дидактичките карактеристикикако во наставата, така работата се одвива -дискусијата, тандемот и др.

Одделни секции или групи што се организирани за слободни активности на учениците можат дасе обединуваат според содржината и карактерот на активностите во поголеми ученички интересни асоцијации, како на пример, литературни дружини, ученички задруги, спортски друштва, технички клубови, културно-уметнички друштва и др. Покрај тоа, слободните активности на учениците од основните училишта може да се поврзат на ниво на општината со слични интересни организации како што се планинарски друштва, еколошки друштва, Народна техника, Црвен крст, Детска организација и др.

## 9.3. Акции

Акциите се краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште. Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка, група ученици од една година/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција.

Акциите може да ги иницира училиштето (раководството, стручната служба или наставниците) или ученичките тела, по спроведена анкета меѓу учениците. Раководството на училиштето, во соработка со наставниците и со претставниците на ученичките тела, ги избира акциите што ќе бидат спроведени во текот на конкретната учебна година и тие се вклучени во оваа Годишната програма, меѓу нив и Отворен ден за граѓанско образование. Акциите кои се планирани се дел од Прилог 16 на оваа програма истите тековно можат да бидат дополнувани.

## 10. Ученичко организирање и учество

Училиштето поттикнува ученичко организирање и активност со цел да се формира демократскиот дух кај учениците, чувство за соработка и одговорност,да се развијат социјални вештини и потребата за критичко размислување, како и почитување и прифаќање на различностите кај учениците од најрана возраст.

Ученичката заедница и другите ученички тела овозможуваат активно присуство на учениците во речиси сите домени на училиштето. Преку анализа и дискусија за постоечките проблеми и предизвици се работи на подобрување на истите.

### 10.1. Одделенска заедница

Ученичкото организирање започнува на ниво на Одделенска заедница. Сите одделенија од II до IX одделение претставуваат посебна одделенска заедница која фукционира со помош на своите тела, односно претседател, заменик-претседател, постојани и повремени тела. Телата на одделенската заедница се бираат најдоцна до последната седмица од првиот месец на учебната година и се одвива по следната процедура:

- На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите на избор на претседател, заменик претседател и другите постојани и повремени тела на одделенската заедница.

- На вториот одделенски час од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот раководител. Можат да се кандидираат и ученици кои и претходно биле претседатели на одделението.

- На третиот класен час или пак на дополнителен час (час кој што би се организирал по редовната настава) се спроведува процедурата за избор на претседател на одделенска заедница (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици.

За избран претседател се смета кандидатот кој има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста класна заедница. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат освоен ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има повеќе гласови. За заменик претседател се избира следниот кандидат со најголем број на гласови, од различен пол од претседателот, доколку постои таков кандидат. Доколку не постои, се избира наредниот кандидат со најголем број на гласови. Останатите функции во одделенската/класната заедница се утврдуваат во согласност со потребите.

## 10.2. Ученички парламент

По изборот на телата Одделенските заедници се создаваат услови за формирање на Ученички парламент. Парламентот го сочинуваат сите претседатели на Одделенските заедници, а во нивно отсуство замениците претседатели. Во рамките на Парламентот се бира претседател со мандат од една година, заменик претседател и секретар. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Дополнително работата на Парламентот ја помага Координативното тело кое се определува на првата Конститутивна седница. Првата седница на ученичкиот парламент ќе ја отвори директорот, кој ќе дискутира со членовите на Парламентот за нивните надлежности, права и обврски.

Ученичкиот парламент во ООУ„Наум Охридски,, Булачани:

- ги донесува Правилникот за работа на одделенските/класни заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;
- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
- соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.
- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби,
- учествува во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Работата на ученичкиот парламент финансиски е поддржана од училиштето, а дополнително може да се обезбеди поддршка од општината, од организирање акции или на други начини предвидени со законот.

## 10.3. Ученик - правобранител

Воспоставувањето на функцијата **ученик - правобранител** е уште уште една форма на ученичко учество. Со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање се избира ученички правобранител, кој сегрижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученикот - правобранител се бира на секои две години, учествува во работата на Парламентот и неговите примарни задачи се :

- промоција на детските права преку дебати,едукативни работилници и слично
- го препознава прекршувањето на детските права во рамките на училиштето и собира поплакиво писмена форма од учениците
- доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и поднесување претставки до Народниот правобранител
-

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Училиштето организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности кои всушност се воннаставни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците за одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели. Преку ваквите форми на воспитно-образовна работа на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, а учениците се запознаваат со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Во текот на учебната 2023/2024 година за сите ученици ќе бидат организирани:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември/октомври | Делъадровци | I – IXодд. |
| Еднодневен пролетен излет | мај | Сарај | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | мај | Кавадарци | III одд. |
| Дводневна екскурзија | мај | Источна Македонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | септември/октпмври | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | мај (по посебно изготвена програма) | Западна Македонија | V одд. |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

Стручниот тим за подготовка на програмата за вонучилишни активности го сочинуваа:

- Елизабета Андова – директор
- Александра Величковска - одделенски раководител IXб
- Златка Панчевска - одделенски раководител на VIa
- Снежа Ангеловска – одделенски раководител на Va одделение
- Биљана Белогаска– одделенски наставник на Vб

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

За учебната 2023/2024 година ООУ „Наум Охридски,, Булачани нема регистрирано свои ученици кои се вклучени во вонучилишни активности во основно музичко училиште, балетско училиште, кошаркарски клуб, спортска академија, училиште за танц или слично.

# 12. Натпревари за учениците

Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува спред афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон постигнување на поголеми успеси. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството. За таа цел учениците од нашето училиште континуирано учествуваат на натпревари од различни натпреварувачки подрачја и од различно ниво.

- училишни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Ученичките натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот. Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на знаења по предмети, а најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на натпреварите од повисоко ниво. Начинот на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на

општинско, регионално и државно ниво го утврдува министерот, во соработка со Бирото.

При организирање и учество на натпревари во нашето училиште се почитуваат правилата кои се утврдени за таа цел:

1. Училишната служба навремено истакнува План на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари;

2. Училишен натпревар организира тим од најмалку тројца наставници, од кои еден е назначен за одговорен со Годишната програма на училиштето;

3. Два дена пред одржувањето на натпреварот по предвидениот предмет следува соопштение кое ќе се прочита во сите паралелки и ќе содржи навремена и комплетна информација за учениците;

4. Резултатите од спроведениот натпревар одговорните да ги истакнат на огласна табла најдоцна една седмица по одржаниот натпревар.

5 Усна информација за резултатите да биде презентирана пред сите учесници во натпреварот.

6. Тимот составува записник од реализираниот училишен натпревар и извештај за резултатите;

7. Ученикот има право да се пријави т.е да учествува најмногу на два училишни натпревари, односно само на два наставни предмета.

8. Доколку ист ученик освои прво место на двата натпревари, тогаш може да учествува на двата Општински/ Регионални / Државни натпревари само по сопствена желба и ако постои соодветна временска разлика меѓу термините од најмалку една седмица

9. На Општински/Регионален/Државен натпревар може да учествува и второрангираниот доколку првиот се откаже од оправдани причини.

10. Ученикот редовно да ги посетува подготвителните часови од страна на наставникот- ментор и да ги извршува поставените задачи;

11. Ученикот и менторот да се залагаат за што поголема соработка и подготовка за претстојните натпревари.

12. Менторот навремено да доставува материјали од кои ќе се црпат дополнителни знаења во соодветната дисциплина.

При спроведување на натпреварот треба да се почитуваат следниве договорени пропозиции:

1. Да се изготви список на ученици учесници на натпреварот.

2. Да се избере Комисија од соодветни предметни наставници.

3. Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар.

4. Тестот да биде стандардизиран со задачи на повисоко ниво на знаење.

5. Да се договори време, место и начин на реализација на училишниот натпревар.

6. Два дена пред предвидениот натпревар да се прочита соопштение во сите паралелки;

7. Почитување на предвидената временска рамка од планот.

8. Спроведување на натпреварот во беспрекорно тивка атмосфера со однапред утврдена временска рамка.

9. Присуство на Комисијата на натпреварот

Во колку менторот го подготвува ученикот за натпревар од повисок ранг, тогаш се внимава на следново:

1. Наставникот - ментор редовно преку додатна настава го подготвува ученикот.

2. Наставникот - ментор да биде редовно на располагање за поддршка во учењето на подготвуваните ученици.

3. Се формира тим од одговорни наставници чија обврска ќе биде да ја контролираат редовноста во извршувањето на обврските во насока на подготовките за претстојните натпревари.

4. Се отвара папка по секој наставен предмет во која се забележуваат активностите, присуството, тетратката и материјалите со кои се реализираат подготвителните вежби.

5. Папката е достапна за Стручната служба и Директорот доколку сакаат да ја разгледаат.

6. Во подготовките да се вклучи и материјал вон наставната програма

7. Навремено соопштување и договор околу учеството на другите ученици и наставници.

Наставничкиот Совет или Ученичката заедница можат да предложат измени на овие правила. За измените се решава со постигнување консензус и согласно законските регулативи и слични документи на сила.

Во рамките на можностите и согласно Правилникот за наградување на ученици, училиштето ќе овозможи симболични награди и дипломи/пофалници за најдобрите ученици.

Освен на овие, нашите ученици согласно нивниот интерес и добиените покани од страна на организаторите, можат да учествуваат на различни конкурси и ревијални манифестации организирани од соодвети установо или здруженија. Планот за учество на натпревари  во учебната 2023/2024 година е даден во ПРИЛОГ

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

ООУ„Наум Охридски - работи на територијата на општина Гази Баба, во с. Булачани кое е лоцирано на северо-источниот дел на планината Скопска Црна Гора. Училиштето ги опфаќа училишните обврзници од 5 населени места, селата Булачани,

Црешево, Смиљковци, Виниче и Раштак. Во склоп на централното функционираат и две подрачни училишта, во селата Црешево и Раштак. Сите ученици кои се опфатени во училиштето се македонци, исто како и месното население во наведените населени места. Овој еднообразен етнички состав со текот на годините допринел кај населението да се развие една етничка дистанца која најмногу доаѓа до израз кај младите, посебно кај децата од училишна возраст. Специфичноста на местоположбата на овие населени места, кои територијално граничат со населени места со мнозинско албанско население, како и трасата на сообраќајната комуникација со Скопје, бараат да се обрне големо внимание на грдењето на доверба, толеранција и воспитување на ненасилно однесување и почитување на различноститеод припадниците на двете етнички групи.

***Цел: Со активностите кои ги планираме да изградиме висок степен на меѓуетничка толеранција, при што на различностите ќе се гледа со почитување и уважување, а човекот ќе се вреднува, не врз основа на неговата етничка припадност, туку врз основа на неговите хумани и морални квалитети.***

За постигнување на оваа цел сите активности во училиштето трба да бидат добро организирани и координирани. Со таа цел директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа: претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници. Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. Така, членови во нашиот Тим за училишна интеграција се:

- Елизабета Андова - директор;
- Елена Максимовска– координатор на тимот;
- Соња Апостоловска Трајковска - наставник, член;
- Александра Величковска – член;
- Ученик – претседател на Ученички парламент;
- Ученик – правобранител.

Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците изработува план за активностиво насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите. Основните критериуми при планирањето и организирањето на овие активности се однесуваат на целите, кои треба да бидат насочени кон:

- интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста;
- интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи;
- користење на сите застапени јазици;

- рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни – заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.

Носители на активностите се директорот, стручната служба, наставниците, учениците, родителите, локална заедница и месно население. Дел од активностите продолжуваат да се реализираат во континуитет од минатата година, а дел од нив ќе започнат со реализација во оваа учебна година. Периодот на реализација е во текот на целата учебна година, а активностите се планирани како дел од редовната настава, воннаставните активности, слободните ученички активности, општествено хуманитарни активности и сл.

Нашето училиште години наназад интензивно спроведува активности за развој на мултикултурното образование, со цел поуспешна реализација на активностите планирани во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Овој проект се реализира во нашето училиште од учебната 2013/2014 година, кога е потпишан и меморандумот за соработка со ООУ„26 Јули“ - Скопје. Учениците од двете училишта реализираа заеднички активности во рамки на ПМИО. Од учебната 2018/2019, со завршување на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, поголем дел од активностите се реализираат под покровителство на општината. И понатаму главна цел на активностите е интензивна работа на создавање на политичка, социјална и економска клима потребна за Република Северна Македонија да постигне одржлива интеретничка интеграција во училиштата, во останатите образовни институции, па и во целото општество. Во фокусот на проектните активности се учениците, родителите, наставниците, администрацијата и членовите на училишните одбори, а целта и натаму е подобрување на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки.

Од почетокот на 2018 година ООУ „Наум Охридски - активно се вклучи во активностите на проектот Градиме заедничка иднина – Денови на МИО во општина Гази Баба. Во рамки на овој проект во учебната 2018/2019 и учебната 2019/2020 година од страна на сите основни училишта во општината се реализираа два сета заеднички активности. Активностите се одвиваа во мешани групи (од било каков аспект: полов, етнички, социјален…) и сите како резултат имаа некаков заеднички продукт. Бидејќи идејата за овој голем и сложен проект произлезе од самите ученици, очекуваме и ќе ги поттикнуваме на тоа и во оваа учебна година да има слични иницијативи.

Од учебната 2022/2023 година потпишан е меморандум за соработка со ООУ,, Његош,, Колонија Идризово каде се реализираа заеднички краткотрајни активности и вонаставни активности во рамките на проектот МИО. Согласно програмата за проектот МИО активностите ќе продолжат и во учебната 2023/2024 година.

Од учебната 2022/2023 година во соработка со ОБСЕ и општина Гази Баба нашето училиште се вклучи во рамките на проектот на Мисијата „Градење нови мостови“, кој е дизајниран да ги подобри односите меѓу младите со различно потекло и јазици во текот на училишниот ден и преку заеднички наставни активности. Активностите ќе продолжат и во учебната 2023/2024 година.

Општина Гази Баба ги вклучува координаторите на училишните тимови во изработката на стратегијата на МИО и активно ги поддржува во реализацијата на сите активности. Акцентот е ставен на идејата да се зајакне демократската партиципација на учениците во училишниот живот и во животот на Општината.

Бројот на ученици од нашето училиште кои се директно вклучени во заеднички активности со своите врсници од другите училишта и други етнички заедници, изнесува околу 15% од вкупниот број ученици во училиштето. Секако, постојано се цели кон зголемување на масовноста на ваквите активности. Во сите настани и заеднички средби во рамки на заедничките активности за меѓуетничка интеграција предвидено е вклучување на родители, стопански субјекти од општината и сите оние кои сакаат да дадат својата поддршка.

При заедничката работа со учениците од другите училишта, во следниот период од учебната 2023/2024 година, соработувајќи околу реализацијата, учениците ќе бидат вклучени во активности за подобро меѓусебно запознавање и градење групна кохезија, во услови каде што тие ги донесуваат правилата за работа со обезбедување рамноправен статус меѓу сите нив. Учениците ќе бидат поттикнувани на соработка и интеракција во полово и етнички балансирани групи, во кои важен фактор е позитивната меѓузависност на групите со еднакви можности за успех.

ООУ „Наум Охридски“ како активен партнер и промотор на меѓуетничката толеранција и соживот во општината и пошироко, континуирано работи на подигањето на свеста кај учениците за потребата и бенефитот од мултикултурната и маѓуетничка соработка во општеството. Пред почетокот на заедничките активности (почеток на септември, 2023) за сите ученици кои ќе изразат желба да учествуваат во нив, ќе бидат реализирани подготвителни работилници од страна на ученици кои веќе учествувале и имаат искуство со вакви активности. Во тој сет од активности, во насока на зајакнување на капацитетите на учениците за интеретничките релации, ќе се обработуваа теми од областа на: мултикултура, предрасуди, стереотипи, комуникативни вештини и јазични бариери, ненасилно решавање на конфликти, идентитет и слично. Исто така, во рамки на реализација на програмата на одделенскиот час, одделенските раководители на секоја паралелка планираат реализација на најмалку три работилници во насока на унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите и сузбивање на стереотипите и предрасудите.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

- **Проект за имплементација на еколошката едукација во македонскиот образовен систем - поддржан од Здружение на граѓани ОХО, МОН и БРО**

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:**

Подигнување на степенот на еколошките активности во училиштето;

б) Вклучување на теми од екологија и животна средина во наставни програми по соодветни предмети;

в) Развој на нови медиумски производи за учество на учениците во процесот на еколошкото образование.

Главна цел на проектот е успешно спорведување на теоријата во дневната пракса при работа на воспитно-образовните институции со што би се влијаело на подигање на еколошката свест кај сегашните и идните генерации, на одржлив еколошки и финансиски развој и заштеди не само за градинките и училиштата, туку и на сите вклучени како што се општините, Министерството за образование и поширокатa јавност. За успешна реализација на Програмата која доведува до конкретни и мерливи резултати потребна е соработка и инволвирање на сите институции, невладини организации, медиуми и поединци кои се вклучени во воспитно- образовниот процес.

- **Проект за меѓуетничка интеграција на образованието - поддржан од општина Гази Баба, МОН и БРО**

Основна цел на проектот е постигнувањето и одржувањето на меѓуетничка интеграција во образованието. Активности кои се плаанираат и реализираат се во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

- **Проект „Градиме нови мостови**

Проектот е финансиран во рамките на Грантовите за заеднички активности – Градиме нови мостови, организирани од МОН и ОБСЕ, а се реализира со поддршка општината Гази Баба. Главна цел на проектот е да се сплотат учениците од сите 11 основни училишта во општина „Гази Баба, да се подобрат односите меѓу младите од различно, потекло и јазици во текот на училишниот ден и наставниот ден да работат заедно и да соработуваат, да се запознаат подобро и да негуваат взаемна почит едни кон други.

- **Програма за образование „УЧИЛИШТА НА 21 ВЕК“**

„Училишта на 21 век е амбициозна тригодишна програма за образование вредна 10 милиони фунти, која е дизајнирана и спроведена од Британскиот совет и финансирана од владата на Обединетото Кралство.

Спроведувана во партнерство со релевантни образовни институции во секоја земја, програмата има за цел да им овозможи на еден милион ученици од Западен Балкан на возраст од 10-15 години да стекнат вештини за критичко размислување и решавање проблеми. Покрај учењето вештини за критичко размислување и решавање проблеми, децата ќе научат и практични вештини за програмирање и ќе имаат можност да ги практикуваат своите вештини преку физички компјутери**.**

Како дел од програмата, во нашето училиште е обучен директорот и дел од наставниот кадар (четворица наставници) кои потоа извршија дисеминација со заинтересираните колеги за оваа програма. Исто така нашето училиште е снабдено со 30 micro:bit уреди – џебни компјутери на кои децата можат да програмираат и да ги користат за различни наставни предмети и за решавање на секојдневни проблеми. Тоа ќе им овозможи на учениците да учат на забавен, интерактивен и иновативен начин. Наставниците во своите дневни подготовки ќе обрнат внимание да испланират активности со кои кај учениците ќе развиваат една или повеќе компоненти на критичко мислење и ќе поучуваат вештини за решавање проблеми.

- **Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**

Овој проект има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес. Проектот предвидува целта да се постигне преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активности треба да се организираат во текот на целата учебна 2023-2024 година. Активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др.Проект „Училиште без насилство - Намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата.

- **Проект „Училишни градини – училница од иднината“**

  Проектот се реализира во соработка на активистите на Slow Food Vodno.

  Едукативни цели на на проектот се:

  - ширење на агроеколошки принципи и практики;
  - создавање на зеленчукови градини кои ги изразуваат вредностите на добро,чисто и правично;
  - одговорност за внимателно и рационално користење на природните ресурси како водата и почвата;
  - отпадот треба да се гледа како потенцијален ресурс кој може повторно да се искористи и да не се отстранува следејќи го примерот на затворен циклус во природата;
  - промовирање на локални и традиционални производи на регионот;
  - пренесување на мудроста од постари на помлади;
  - развивање на интердисциплинарни активности во врска со храната ,културата и животната средина .

- **ПРОГРАМА: Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата**

Програмата има за цел зголемување на свеста за насилството и за неговото спречување, како и за спроведување на законите за борба против насилството во секојдневниот живот. Примена на стратегии за справување со насилство во училиштата.

- Училиштето ќе спроведе активности за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците и кадарот во училиштето;
- Формирање на тим за изработка на протокол за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците за време на часовите и во просториите на училиштето;
- Организација и протокол за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците за време на часовите и во просториите на училиштето;
- Превземање на мерки за подобрување на процесот за безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето.

- **Проект „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“**

***Општи цели на проектот се ученикот:***

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може дасе спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците. Етничката припадност не се појавува како варијабла кај постигањата на учениците бидејќи нема припадници на други етнички групи.

Просечниот постигнат успех на учениците од минатите четири учебни години, по училишта, е даден во следната табела:

| Училишта | 2019/ 2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022-2023 |
|---|---|---|---|---|
| **ООУ с. Булачани** | 4,44 | 4,46 | 4,32 | 4,38 |
| **ПООУ с. Црешево** | 4,47 | 4,51 | 4,42 | 4,45 |
| **ПОУ с. Раштак** | 4,09 | / | 4.71 | 4,71 |
| **Среден успех на училиштето** | **4,48** | **4,48** | **4,39** | **4,41** |

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овиеформи на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. За дополнитената настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на матријалот по поедини предмети. Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Учениците со тешкотии во учењето, се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции(Завод за ментално здравје на деца и младинци ,,Младост,, и Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади). Постигањата на овие ученици се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според личните способности и во однос на самиот себе, без споредување на едно дете со друго.

Училиштето има изготвено процедура за идентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето:

- Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;
- Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);
- Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;
- Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;
- Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;
- Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;
- Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);
- Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции (Завод за ментално

здравје на деца и младинци -Младост–,Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Училиштето редовно ги промовира своите постигања преку учество воконтактно-училишната емисија - Звон на МРТВ. Во рамките на учеството на литературни читања особено се истакнуваат средбите со писатели на Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и хепенинзи. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува процедура за наградување ученици:

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;

- ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);

- предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;

- на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;

- училиштето на крајот на учебната година распишува конкурс за избор на првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение. Училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици.

Наставничкиот совет на училиштето избира Комисија за избор на првенец на генерација која е составена од директор, стручен соработник, еден наставник од одделенска настава, еден наставник од предметна настава и двајца ученици од осмо одделение. Комисијата дава предлог согласно Правилникот за избор на првенец каде се дадени критериуми за изборот и утврдува кандидатска бодовна листа која ја доставува до Наставничкиот совет на крајот на наставната година донесува одлука за прогласување на ученик/ученици за првенец на генерација .

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за *професионална ориентација на учениците*. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираати посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационописмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование. Ќе се организира и посета на Саемот за образование каде се презентираа средните училишта од РС Македонија. Училиштето не ги следи постигањата на учениците при преминот од основно во средно образование. Во училиштето пристигнува известување во кои средни училишта го продолжиле своето образование нашите ученици, но не и информации за нивните постигања во новата средина. Како помош при одлучувањето на учениците во изборот на средно училиште во кое ќе се запишат, училишниот психолог изготвува и реализира **Програма за професионална ориентација наменета за учениците од деветто одделение**.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство,

## од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

**Цели на политиката:**

- Да се развива ненасилна етика во училиштето
- Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување
- Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување
- Да се намали насилното однесување во училиштето

**Задачи на Тимот за превенција на насилството се:**

- Изработка на училишна политика за намалување на насилството;
- Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција:
- Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство;
- Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;
- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности;
- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.

Училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокаата околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето ( грип, заразни болести...).

Програмата за превенција од насилно однесување во училиштето е дадена во Прилог 25.

## 16. Оценување

Во училиштето континуирано се следи и се вреднува, оценува, постигнатиот успех на учениците. Следењето на постигањата на учениците се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Оценувањето се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат и анализираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Во наставата не е важно само постигнувањето добри оцени, туку и стекнување искуство кое ќе помогне за понатамошно успешно функционирање на ученикот во демократското општество. Затоа, остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од социо - емоционалната клима која постои во училиштето.

Врз креирањето на позитивна клима во нашето училиште влијаат повеќе фактори, кои меѓусебно се поврзани и испреплететни. Еден дел од нив се релативно објективни и потешко може да се променат, како на пример: големината на местото каде се наоѓа училиштето, распространетоста на подрачните училишта, бројот на ученици во одделението, социодемографската структура на учениците и сл. Останатите се субјективни и на нив може да се влијае, а со самото тоа може да се менува и климата во училиштето и одделението. Меѓу сите овие фактори главна улога има наставникот, со својот стил на раководење, своите лични карактеристики и со својата стручност. Позитивната клима придонесува и за поголемо и поквалитетно

ангажирање на наставниците при реализацијата на поставените воспитно-образовни цели, подобро училишно постигнување, позитивни ставови на учениците кон наставниците и кон училиштето, како и кон подобри интерперсонални односи.

Генерално, работејќи на создавање позитивна социо-емоционална клима во нашето училиште, ориентирани сме кон целта истовремено да се води грижа заемоционалните и социјалните потреби на учениците. Развојот на пожелно однесување во училницата зависи од способноста на наставникот да ги задоволи социјалните и емоционалните потреби на учениците. Посебно внимание се посветува на детектирана ранлива група ученици во овој поглед, про што нашите наставници се раководат според следниве начела:

- наставникот е подготвен да ги сослуша учениците;
- наставникот е подготвен да одговори на нивните сугестии;
- наставникот е подготвен да ги прифати и разбере нивните чувства;
- наставникот е подготвен да ги вклучи во наставниот процес и да ги охрабрува при работата;
- наставникот ја формира оцената за постигнувањата откако претходно ги запознал учениците со очекуваните исходи и тоа не треба да предизвика разочарување или обесхрабреност кај учениците.

Овие компоненти кои се дел од интерперсоналните односи кои постојат во училницата овозможуваат да постои слобода во комуникацијата, да учествуваат при донесувањето на одлуки, стимулира ученичко водство, флексибилност и сл. На тој начин успеваме да создадеме пријатна, поддржувачка и позитивна емоционална клима во училницата како предуслов за постигнување подобри резултати.

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во основно училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Во првиот период (I – III одд.), постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки. Овие ученици, на крајот на првото полугодие добиваат известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добиваат додаток на свидетелство и свидетелство со описни оценки. Во вториот период (IV – VI одд.), постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описнии бројчани оценки. Учениците од вториот период на крајот на прво полугодие добиваат известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната

година добиваат додаток на свидетелство и свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех . Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки. Учениците од VII – IX одделение на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива додаток на свидетелство и свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити. Бројчаните оценки со кои сеоценуваат учениците се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1).

Оценувањето на учениците од страна на наставникот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Бројчано оценување се врши согласно со критериумите што ги изготвува Бирото заразвој на образованието.

Оценувањето на постигањата на учениците во училиштето се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во четири класификациони периоди. Како примарна активност на секој наставник во секој од класификационите периоди е да го стимулира, мотивира ученикот да усвојува знаења кон повисоките нивоа за знаења согласно стандардите (помнење, разбирање, примена, анализа, синтеза и вреднување). Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите на оценувањето. Наставниците квартално планираат и со примена на различни методи , вршат сумативно оценување (усни или писмено). Во текот на учебната година оценуваат формативно. Заради подобрување на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Во рамките за секоја паралелка ќе се формира комисија за оценување која ќе го следи оценувањето на соучениците, објективноста, редовноста, почитување на континуитетот при оценувањето.

## КАЛЕНДАР ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

| Задача | ***СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ*** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка (месец)** | | | | | | | | | | | | **Носи-тел** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Следење** | |
| | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | | | | ✓ x | **Одговорно лице** |
| **интерно оценување** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| бројчано сумативно оценување<br><br>на постигањата на учениците од втората тријада (IV – VI) | | | | | | | | | | | | | наставници | усно излагање, разговор, писмени проверки проектни, активности, самооценување, меѓу – ученичко оценување, ученичко портфолио | наст. Листови, контрол. Тестови, проектни задачи, квиз – прашања, домашни задачи, чек листи, аналитички листи, холистички листи | подобрување на учењето и поучувањето | ✓ | стручен соработник - психолог |
| бројчано сумативно оценување на постигањата на учениците од третата тријада (VII, VIII и IX) | | | | | | | | | | | | | наставници | сумирање на постигањата на ученикот во текот на еден период, согласно стандардите и критериумите за оценување | евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за оценување | | | стручен соработник - психолог |
| сумативно оценување на постигањата на учениците сописмена проверка (писмени работи) | | | | | | | | | | | | | наставници | сумирање на постигањата на ученикот во текот на еден период, согласно стандардите и критериумите за оценување | евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за оценување | | | стручен соработник - психолог |

| Задача | | *СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ* | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | Следење | |
| | | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носи-тел | Начин на спроведување (ресурси) | инструменти | Очекувани резултати | ✓ x | Одговорно лице |
| **интерно оценување** | формативно оценување на постигањата на учениците (усно или писмено) | | | | | | | | | | | | | наставници | усно излагање, разговор, писмени проверки проектни, активности, самооценување, меѓу – ученичко оценување, ученичко портфолио | наст. Листови, контрол. Тестови, проектни задачи, квиз – прашања, домашни задачи, чек листи, аналитички листи, холистички листи | подобрување на учењето и поучувањето | ✓ | стручен соработник - психолог |
| | описно сумативно оценување на постигањата на учениците од првата тријада (I –III) | | | | | | | | | | | | | наставници | сумирање на постигањата на ученикот во текот на еден период, согласно стандардите и критериумите за оценување | евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за оценување | | | стручен соработник - психолог |
| | описно сумативно оценување на постигањата на учениците од втората тријада (IV – VI) | | | | | | | | | | | | | наставници | сумирање на постигањата на ученикот во текот на еден период, согласно стандардите и критериумите за оценување | евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за оценување | | | стручен соработник - психолог |

Начинот на оценување на **учениците со попреченост** се прилагодува согласно со нивните потреби. Начинот на оценување по наставни периоди,за учениците кои работат по ИОП е идентичен како и за другите ученици. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Учениците од I – V одделение кои не успеале до крајот на учебната година да постигнат минимум резултати од учење за преминување во следното одделение, односно не ги совладале наставните цели до крајот на учебната година, по предлог на одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето, а во согласност со родителот, односно старателот може да остане во истото одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето.

Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо или деветто одделение има повеќе од две незадоволителни оценки се задржува во истото одделение. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка по најмногу два предмета се упатува на поправен испит. За таа цел училиштето од 14 јуни до 25 јуни 2024 година ќе организира дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 16 август до 20 август 2023 година ќе организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите. Училиштето, согласно Законот, организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми. Ученикот кој бил упатен на дополнителна настава и по нејзиното одржување не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, ќе биде упатен на поправен испит. Поправните испити, како што претходно напоменавме, се полагаат во јуни и/или август. Ученикот кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение.

Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет. За одобрување на полагање на одделенскиот испит одлучува наставничкиот совет на училиштето.

Училиштето е подготвено да организира менторска и консултативна помош од страна на наставниците по соодветните предмети за ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики и може побрзо да напредува. Ученик од прво до трето одделение, по предлог на одделенскиот наставник, а по мислење на стручните соработници на училиштето и согласност на родителот, односно старателот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет.

Ученик од четврто до деветто одделение, по предлог на одделенскиот раководител, а по одобрување на наставничкиот совет и согласност на родителот, односно старателот може забрзанода напредува и премине во наредното одделение, за што одлука исто така донесува наставничкиот совет. Ако ученикот побрзо напредува во првиот период преминува безполагање на испити за побрзо напредување, а ако побрзо напредува во вториот, односно третиот период полага испити за побрзо напредување. Ова право за побрзо напредување ученикот може да го користи најмногу два пати во текот на основното образование.

Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката е долженза постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите/старателите најмалку четирипати во текот на учебната година. Информациите се однесуваат на следниве педагошки појави: општ успех по наставни предмети, редовност на учениците и поведението на учениците. Во училиштето ќе се формира Комисија за повторна проверка на знаењата на учениците, како и испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување во зависност од потребата во текот на учебната година.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во основното образование. Според тој правилник, предмет на оценувањето се постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, заинтересираноста и ангажираноста на ученикот во училиштето. За вреднување на трудот на учениците ќе бидат применети сите типови на проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови, наставни листови и сл.), усно проверување на знаењата и комбинирано.

Следењето на постигнувањата во реализацијата на програмите, анализа на резултатите по одделни предмети, постигнувањата на секој ученик поединечно како и осознавање на состојби значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми ќе се врши на советите на паралелките. Напредувањето на учениците се следи како од наставниците така и од страна на стручната служба на училиштето и директорот.

Учебната година е поделена на четири класификациони периоди, кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, која се согледува од класните книги кои се водат за секоја паралелка поодделно. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди утврдува процедура за поплаки и жалби, план за следење и анализа на состојбите на оценувањето со временски период и за конкретен наставен предмет, план за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето, поддршка на наставниците иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, план за споделување на добрата пракса во рамки на училиштето во врска со оценувањето.

Членови на овој тим за учебната 2023/2024 година се:

- стручен соработник- психолог
- Марина Миткова- педагог;
- Мирјана Ивановска- предметен наставник.

Соодветно Законот, годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците. Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишна оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен. Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот од три дена и може: да го уважи приговорот, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот. За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето. Оваа комисијата е составена од претседател и два члена - испитувачи. Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето одредот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. По правило, претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој јаутврдил оценката. Оценката на комисијата е конечна.

Работата на наставниците ја следи директорот и Бирото за развој на образованието во рамки на своите надлежности. Директорот и стручната служба во нашето училиште (педагог, психолог) во одреден период од месецот, според соодветно изготвен план и програма или по потреба, вршат увид во подготовката на наставата и реализацијата на часовите од страна на наставниците, со цел утврдување на успехот на нивното работење. Советниците од БРО вршат периодичниувиди во работата на наставниците во рамки на своите надлежности и стручни компетенции.

За наставниците кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати или потешко ги нарушува стандардите на професионално однесување, Бирото, советот на родители или Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на работата на наставникот. Ако причините за незадоволителни резултати не се должат на објективните услови во училиштето и организацијата на работата во училиштето, училишниот одбор донесува одлука на наставникот да му се определи дополнителна стручна помош. Дополнителната стручна помош му се определува на наставник за којшто се обезбедени сознанија дека:

- не успева да одржи работна дисциплина во училницата,
- не користи ефективни методи на настава и комуникација со учениците и родителите;
- не ги следи и оценува постигањата на учениците согласно со воспоставените стандарди за оценување во наставните програми.

Програмата за дополнителната стручна помош ја изготвува тимот за професионален развој во соработка со Бирото. Програмата може да трае најмногу шест месеци, а нејзината реализација ја следи директорот на училиштето. Тој на секои три месеци го информира училишниот одбор за реализација на програмата за поддршка и постигнатите резултати. Доколку наставникот не се придржува до препораките во програмата и не ја реализира програмата за дополнителна стручна помош, директорот, на предлог на училишниот одбор, донесува решение занамалување на платата во износ од 1/3 од последната исплатена плата на наставникот пред донесување на решението. Доколку наставникот и во наредните шест месеци не се придржува до препораките во програмата и не ја реализира програмата за дополнителна стручна помош, директорот, на предлог на училишниот одбор, донесува решение за престанок на работниот однос на наставникот.

Во училиштето работат наставници - приправници на кои директорот им назначува ментор кој се грижи за нивната воспитно-образовна работа во училиштето. За време на приправничкиот стаж, наставниците се оспособуваат за самостојна воспитно-образовна, односно стручна работа преку стекнување на основните професионални компетенции и воедно се подготвува за стручен испит. За време на приправничкиот стаж приправникот го води/насочува ментор кој го определува директорот на училиштето.

Стручната служба изготвува план за подршка на наставниците иноватори и соодветно ги насочува на семинари, обуки соодветно на подобрување на нивните компетенции. Споделувањето на добри практики во рамки на училиштето во врска со оценувањето и во врска со целокупната воспитно – образовна работа се врши преку работни состаноци во рамки на стручните активи или пошироко со организирање интерни обуки за целиот наставен кадар.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот наработата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручниот соработник вршат проверка на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар во текот на двете полугодија (минимум еднаш во едно полугодие кај секој наставник, по потреба и повеќе). Директорот и стручните соработници - психолог и педагог имаат свои инструменти со кои ја квалификуваат работата на наставниците. На крајот на секоја посета се прави краток извештај и истиот се разгледува заедно со наставникот во чија работа е извршен увид.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование, училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години. Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

Врз основа на извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува Програма за развој. Последната самоевалуација е спроведена во периодот април – јуни, 2022 година, а се однесува на целокупната работа на училиштето во периодот 2020 – 2022 година. Наредниот процес на самоевалуација на квалитетот на работата на училиштето ќе се реализира во периодот април – јуни, 2024 година, за периодот 2022-2024 година.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето, пред се треба да претставува безбедна средина за сите вклучени субјекти, а најмногу за децата. Чувството за безбедност е предуслов за насочување на вниманието на постигање на целите на воспитно – образовниот процес. За таа цел училиштето:

- обезбедува безбедна околина за престој во училишниот двор со отстранување на сé што може да биде потенцијална опасност;
- обезбедува безбедна средина во училишната зграда со правилен распоред на училишниот мебел, обезбедување доволно простор за движење, навремена поправка или отстранување на дефектни предметни и др.
- организирано физичко и патролно обезбедување и видео надзор во училишниот двор и училиштето, согласно Законот;
- распоредува дежурни наставници за време на одморите и во периодите пред и по наставата;
- техничкиот персонал плански ја обавува својата работа;
- има обезбедено противпожарни апарати и план за евакуација;
- прибор за прва помош и обучени лица за пружање на прва помош;
- организира осигурување на учениците и вработените;
- планира и организира соработка со институции ( МВР, здравствени установи, центар за социјална работа, противпожарна служба, црвен крст и други);
- има донесено планови за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди кој содржи превентивни активности и мерки, оперативни активности и мерки и отстранување на последиците од незгоди;
- поставува на видно место или дели промотивни материјали за безбедно однесување во училиштето;
- организира работилници и трибини со ученици, родители, наставници, за различни превентивни мерки кои се однесуваат на различни потенцијални опасности.

Училиштето активно работи на едукација за почитување на безбедносни мерки (како на пример вежби за евакуација, употреба на противпожарен апарат, обука за прва помош, знаци за тревожење, правила и постапки за засолнување при земјотрес, пожар, поплава и слично) и развива стратегии за превенција, односно идентификување и справување со можните новонастанати безбедносни проблеми во училиштето, како што се уништување на училишен инвентар, пишување на графити научилишни ѕидови, застрашување и друго.

## 18. Грижа за здравјето

Училиштето прави план и постапува согласно Законот и по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштита од заразни болести. Формиран е училишен тим - Комисија за следење на состојбата со заразни болести на ниво на училиште, во состав:

- стручен соработник-психолог;

- наставник по биологија и хемија;

- Лила Стојковска -одделенски наставник .

Реализирајќи ја програмата за здравствена заштита и здравствено воспитување ќе се допринесе во изградување на здрава личност (психички, физички и социјална) способна да се грижи за своето здравје и здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница. За таа цел покрај редовните вакцинации и систематски прегледи организирани од ЈЗО - Здравствен дом, во училиштето ќе се организираат повеќе предавања, стручни излагања и работилници на различни теми, меѓу кои: превенција од ТБЦ, детска парализа, болести на зависност кај младите, СИДА, заразни болести, заштита и однесување при пандемијата со Ковид 19, правилна исхрана и др. Исто така, грижата за здравјето на учениците ќе се одвива преку организирање излети, летување, а изборот ќе зависи од многу фактори и моментни состојби што ќе се нудат.

Во ООУ„Наум Охридски - навремено и редовно се извршуваат санитарни и систематски прегледи на вработените.

Од голема важност е, секако и одржувањето на личната хигиена и хигиената во училиштето. Сите субјекти се обврзани да го почитуваат Куќниот ред, како и соодветниот Кодекс за однесување во училиштето каде што, меѓу другото, се пропишани и правила за одржување на хигиената. Училиштето особено ќе се заложи за правилна исхрана на учениците и согласно Законските одредби ќе понуди организирана исхрана (ужинка). Во зависност од потребите на Училиштето или укажувањата по дадена моментална ситуација (епидемии, пандемии и сл.) ќе бидат организирани трибини и предавања на одредени тема од страна на стручни лица.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето во текот на годината ги превзема потребните хигиенско – технички мерки за да биде подготвено за работа во новата учебна година и нормален, безбеден тек на наставата, и тоа сгласно следната динамика:

| Мерка | Одговорно лице | Временска рамка |
|---|---|---|
| генерално чистење на сите училишни згради | технички персонал | јули-август, јануари |
| уредување на сите училишни згради | наставници и ученици | август, декември, март, тековно |
| косење на тревниците | технички персонал | февруари - - ноември, тековно |
| кроење на дрвја во училишните дворови | технички персонал | март, август, тековно |
| чистење на системите за парно грење во училиштата во с. Булачани и с. Црешево; | технички персонал | август |
| чистење и дезинфекција на санитерните јазли | технички персонал | по дневна динамика |
| чистење и дезинфекција на ентериерот во училниците | технички персонал | по дневна динамика |
| одржување на хигиената во училишните згради и дворови | технички персонал, наставници и ученици | по дневна динамика |

## 18.2. Систематски прегледи

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца.

**Целта на систематскиот преглед е:**

- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување
- Детекција на бихејвиорални ризици,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
- Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација.

**Содржина на систематскиот преглед:**

1. Општ лекарски преглед:
   - мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ;
   - преглед на кожата;
   - согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
   - општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
   - мерење на пулсот и крвниот притисок;
   - испитување на вид, слух и говорот;
   - земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и menarha (кај ученички);
   - земање на податоци за употреба и злоупотреба на супстанци (пушење, алкохол, таблети, дроги);
   - земање податоци за рано откривање на знаци на депресија и други пореметувања на менталното здравје;
   - земање на податоци за постоење на насилно однесување (булинг);
   - давање препорака за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
   - прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети;
   - контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус.

Наодите од систематскиот преглед се евидентираат во Картонот за систематски прегледи на училишни деца, изготвен од Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, а отстапувањата се запишуваат во картонот со преземање на соодветни мерки за санирање и следење. Контролни и целни прегледи: Во зависност од констатираните претходни состојби, се вршат контролни и целни прегледи за поедини видови на однесување или заболување/состојба.

2. Лабораториски преглед:
   - хемоглобин во крв и
   - албумен и билирубин во урина.

3. Стоматолошки преглед:
   - контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
   - откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
   - евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон;

- задолжителен преглед за сите ученици секоја учебна година од прво одделение во основно образование до завршна година на образование во средното образование.

4. Превентивна стоматолошка заштита

Превентивните стоматолошки тимови од јавните здравствени установи-здравствени домови во Република Македонија спроведуваат превентивни активности кај деца до 14 години, меѓу другите:

- залевање на фисурите и јамичките (кај сите деца кои посетуваат прво одделение), при што се залеваат 4-те први трајни молари.

Учениците се вклучени во редовните систематски прегледи кои се изведуваат според планот на одговорните здравствени институции: Здравствен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи и Здравствен дом, одделение за превентивна стоматологија. Прегледите се изведуваат надвор од наставата без попречување на наставниот процес, а планот е даден во Прилог 36 на оваа програма.

## 18.3. Вакцинирање

Во Република Северна Македонија вакцинацијата е бесплатна за сите лица од 0-18 години без разлика на здравственото осигурување. Истата се изведува во Здрастевен дом, одделение за имунизација и систематски прегледи, а учениците од основните училишта треба да бидат во придружба на одговорен наставник или родител.

Училиштето преку одделенските раководители спроведува информативно – едукативна кампања помеѓу родителите на учениците и самите ученици, посочувајќи им ги бенефитите од вакцинацијата:

- Создавање отпорност на организмот кон заболувањата
- Спречување ризици од заболувања
- Спречување смртност од заболувањето
- Спречување инвалидитет и други несакани последици
- Допринесување за градење колективен имунитет
- Спречување појава на епидемии од заразни болести
- Намалување на трошоците за лекување
- Намалување на трошоците за боледување
- Поголема ефективност на родителите на работни места
- Обезбедување здраво поколение.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта на едукацијата на учениците е подигнување на свеста за конзумирање на здрава храна и формирањена навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовни часови, воннаставни активности и базари. Министерството за образование и наука (МОН) во рамките за подобрување на исхраната на децата во основните училишта изготви правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта Наведените прописи се почитуваат од страна на училиштето во насока на соодветно планирање на исхраната која има особено големо значење за правилниот психофизички раст и развој на децата.

Во текот на месец август ООУ „Наум Охридски„ Булачани, распишува тендер за избор на фирма која ќе обезбедува ужинка за учениците согласно менито дадено од МОН. Се избира онаа фирма која има најповолна понуда според сите критериуми.

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања.Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

ООУ „Наум Охридски,, важи за училиште кое одржува висок стандард на естетска и функционална уреденост на просторот. Функционалноста на просторот се огледува најмногу во тоа што е уреден во функција на обезбедување сигурност и продуктивност во работата на учениците и наставниците. Естетското уредување во училиштето е спој од ученички продукти и декоративни додатоци во вид на боја или некаков тип на апликации, цвеќе, примероци со фолклорни мотиви или оригинални традиционални предмети.

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат сите субјекти. Во училиштето има само еден кабинет по информатика, а останатите училници се универзални. Заради тоа, сите наставници учествуваат во уредувањето на просторот по заеднички постигнат договор, според потребите и наставните содржини. Училишните ходници најмногу се уредуваат од страна на учениците кои учествуваат во одредени секции во договор со нивните наставници. Уредувањето на училниците најмногу зависи од паралелките кои учат вонив и нивните одделенски раководители, но учествуваат и другите предметни наставници. Уредувањетона училишниот двор е грижа на техничкиот персонал, учениците, наставниците, а во одредени акции учествуваат и родителите.

При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите, како на пример при одбележување на значајни еколошки датуми, активности од меѓуетничка интеграција, антикорупциска едикација и други проекти. Тимот кој во учебната 2023/2024 ќе се грижи за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето,е во состав:

двајца претставници на ученичката заедница,

Снежа Ангеловска-одделенски наставник,

Соња А. Трајковска-одделенски наставник и

Сања Костовиќ Николовска-одделенски наставник.

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има донесено етички Кодекс за однесување на ученици, вработени и родители. На почетокот на секоја учебна година, на одделенските часови учениците се запознаваат и потсетуваат за Кодексот на однесување. Родителите се потсетуваат

и запознаваат со Кодексот на однесување на родителските средби, додека наставниците на Наставничките совети.

Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

- Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;
- Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- Еко-кодекс.

Училиштето има донесено и правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

Кодексот на однесувањеи за наставници, ученици и родители е даден во Прилог 32 на оваа програма.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето во рамките на дебатите на училишниот парламент ги анализира критичките точки во комуникација помеѓу ученици-наставници. Оваа учебна година училиштето треба да формира Тим од ученици, наставници и родители кои ќе имаат задача да направат анализа на критичките точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето (ученици-наставници- родители, директор-стручна служба-технички кадар). За учебната 2023/2024 година се планира реализација на заеднички состаноци – работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат можните слабости на комуникацијата и воедно се предлагаат нови начини на комуницирање. Со цел подигнување на меѓусебната соработка и доверба се планира реализација на заеднички прослави на верски празници, заеднички посети или излети, соработка со родителите и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни образовни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на родителите. Една од задачите на која ќе се посветиме во наредната учебна година е реализација на едукативни работилници со Совет на родители на кои интерактивно ќе се разработуваат теми: Надминување на стереотипи и предрасуди, и Спречување на конфликти со чија помош родителите ќе се вклучат во поттикнување на меѓусебната соработка.

Во досегашната работа на нашето училиште постои историја на позитивнаклима и добри односи меѓу сите вработени во училиштето, без разлика на нивната хиерархија и подреденост. Проблеми и конфликтни ситуации се решаваат со конструктивна дискусија и взаемно почитување. Често се организираат работилници, дебати на кои се прави анализа на нашата заедничка комуникација со цел подигнување на квалитетот на истата. Исто така не изостануваат и заедничките

дружења и одбележувања на битни настани или датуми, потоа екскурзии, организирани посети, организирање и учество во спортски игри во кои се вклучуваат мнозинството од сите структури во колективот. Освен тоа, многу често во активностите се вклучени и учениците, родителите и некои членови на локалната самоуправа, што дополнително дава придонес за продлабочување на соработката и промовирање на човечките вредности. Овие активности секогаш се планираат надвор од работното време и не попречуваат во редовното одвивање на воспитно- образовниот процес.

Соработката со родителите е клучна за постигнување на основната цел на нашата работа – воспитание и образование на нашите ученици. Во програмите за работа на наставниците, директорот и психологот, како и при спроведувањето на културни и образовни активности, посебно внимание се посветува на соработката со родителите. Таа соработка најчесто ќе се одвива преку секојдневни средби и разговори, родителски средби, а особено преку програмите за работа на одделенските раководители. На ваквите средби и разговори ќе се третираат прашања директно поврзани со животот и работата на учениците во училиштето (успех, дисциплина), потоа, подобрување на условите за работа во училиштето и ученичкиот стандард, исхраната и слично. Планирани се и едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници, како и советодавно - консултативна работа, групна или индивидуална.

Училиштето по усвојувањето на програмата од страна на Основачот, изготвува брошура со која накратко ги информира родителите за содржината на Годишната програма за работа на училиштето.

Треба да се нагласи соработката со Советот на родители и заложбите на училиштето таа да се продлабочи бидејќи имаме заедничка цел, подигнување на личности кои ќе го понесат теретот на издигањето на нашата држава.

Планираните активности за учебната 2023/2024 година се однесуваат на организирање заеднички средби и прослави со повод, но истите може да се дополнуваат по иницијативи од учениците, наставниците или родителите, во текот на годината.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Училиштето организира и финансира обуки и семинари со провајдери според интересите на наставниот кладар. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот. Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анкета

за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки. Истовремено наставниците и професионално се надградуваат преку Еразмус+ програмата за обрзовни програми и преку eTwinning порталот каде споделуваат соработки со училиштата од Европа. Исто така, и оваа учебна година секој наставник и стручната служба, како и директор задолжително ќе изработува свој Личен план за професионален развој според стандарди и компетенции за директор/наставници/стручни соработници, а потоа на ниво на стручни активи ќе се изработува една Годишна програма на училиштето за професионален развој.

**ВИЗИЈА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР:**

***„ Да бидеме училиште во кое сите учат!“***

**ЦЕЛ:** „Сакаме нашето училиште да создаде база од добри идеи за работа со учениците и соработка со родителите, да обезбеди сопствени ресурси за работа и да постигнува максимални резултати, да развива добра комуникација и соработка со околината, други училишта во градот, државата и пошироко-

**СТРАТЕГИЈА:** „Наставниците, стручната служба и директорот да развиваат и негуваат култура и практика на тимска работа, преку хоризонтално учење, меѓусебно уважување и толеранција. На тој начин ќе се подобри квалитетот на знаења, вештини и способности на учениците и во крајна линија ќе се зголеми степенот на задоволство од работата на наставниците и ќе се развие мотивираност за континуиран професионален развој на училиштето како организација која учи.

Врз основа на ова произлегоа неколку долгорочни цели:

- Развивање на култура на тимска работа и хоризонтално учење
- Унапредување на квалитетот на процесот и исходите од учењето и наставата;
- Унапредување на квалитетот на комуникацијата меѓу сите субјекти во училиштето;
- Развивање на соработката со локалната заедница и со други училишта;
- Промовирање на работата на училиштето.

Соодветно на долгорочните цели, е направен развојниот план за професионален развој на кадарот во ООУ„Наум Охридски,,, за периодот од 2022 – 2024 година, како составен дел од Планот за развој на училиштето. Активностите кои во тој контекст се предвидени за учебната 2023/2024 година се дел од акциските планови на оваа Програма. Сите други чекори во насока на подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар ќе бидат превземени поажурирањето на Личниот план за професионален развој од страна на секој наставник. Истите ќе бидат разгледани од страна на стручните активи во училиштето, кои по согледувањето на визијата и потребите на сите поединци за понатамошен личен професионален развој и компетенции кој ги поседуваат членовите на активот изготвуваат програма за стручно усовршување на ниво на актив која ја доставуваат доТимот за професионален развој. Тимот за професионален развој во кој членуваат директорот на училиштето, преставник од стручната служба и наставници, председатели на стручните активи, земајки ги во обзир приоритетите за професионален развој на ниво на училиште, правилна распределба на седства и ресурси и можноста  за хоризонтално учење изработува Училишна програма за професионален развој навоспитно-образовниот кадар.

Во текот на оваа учебна година се планира изработка на интерен Правилник со кој, согласно Законот за основно образование, ќе биде регулиран начинот на финансирање на обука на наставник или стручен соработник од страна на училиштето.

## 20.2. Активности за професионален развој

Активностите за професионалниот развој на наставниците се наведени во Училишна програма за професионален развој изработена од Тимот за професионален развој, и истите се дел од Програмата за работа на директорот на училиштето, психологот, педагогот и дефектологот во училиштето.

За секоја од активностите се изработуваат акциони планови за организирање во зависност од формата на професионален развој, обуки, семинари, работилници, вршење на дисеминации и известување од стручни посети и контакти со други институции и училишта. Акционите планови ги изработува ТПР заедно со наставниците кои се одговорни за дадената активност од професионалниот развој. Вонив се вклучени планови за организација на активноста, потребни ресурси, име и презиме на учесниците и нивна улога во активноста и очекувани резултати. Потоа се прави извештај од активноста со вклучена евалуација на активноста и обучувачот. Извештаите се предаваат на Тимот за професионален развој и истите се користат припланирање на следните активности.

## 20.3. Личен професионален развој

Планирањето на личниот професионален развој првенствено е засновано врз согледувањето на потребите од подобрување на професионалните компетеции, за таа цел наставникот прави самопроценка на професионалните компетенции користејќи скала на самопроценка, но имајќи ги во прдвид и резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посета на часовите на директорот на училиштето, стручниот соработник или советник од Бирото за развој на образованието. Откако ќе направи самопроценка наставникот/ стручниот соработник прави анализа и од која заклучува кои вештини и способности се добро или многу добро развиени, а кои е потребно сè уште да ги развива. Врз основа на тоа издвојува најмалку три компетенции што претставуваат негова слаба страна и сака приоритетно да ги развива и истите ги внесува во образец на Личен план за професионален развој кој е пропишан со Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој. Наставникот е должен да го достави Личниот план за професионален развој најдоцна до 10 септември 2023 до Тимот за професинален равој

## 20.4. Хоризонтално учење

Хоризонталното учење (учење едни од други) подразбира различни видови организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионални искуства во училиштето или меѓу училиштата. Хоризонталното учење се остварува преку изведување, присуствување или анализа на нагледни часови, прикази на стручни теми, известување за и од стручни средби или семинари, држење семинари за колегите, запознавање на колегите со сопствените иновативни меоди или пристапи, колегијална, менторска подршка и сично.

Хоризонталното учење е состевен дел од неколку програми во училиштето:

- Програмите на стручните активи на училиштето, во кои се испланирани нагледни часови на кои наставниците ќе присуствуваат, а потоа и се анализираат на посебен состанок на Стручниот актив;
- Програмите на стручните активи на училиштето, содржат планирања за стручни предавања на актуелни теми или новини во образовниот процес;
- Програма за Училишен професионален развој, во неа Тимот за професионален развој ги зема во предвид компетенциите со кои располага воспитно-образовниот кадар на училиштето и планира хоризонтално учење.

Во училиштето има развиено редовна пракса на известување за и од стручни средби или семинари, на настаните присуствуваат одреден број на преставници од училиштето кои потоа прават организирана дисеминација во училиштео пред останатите наставници и преставници од стручната служба.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот кадар во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалното усовршување на наставниците и стручните соработници се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓу училишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. За сопственото стручно усовршување наставникот,стручниот соработник прави личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Наставниците и стручните соработници во основните училишта може да напредуваат во звања и тоа наставник-ментор и наставник-советник како и стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник. Училиштето дава целосна подршка на наставниците кои сакаат да напредуваат во наставник-ментор следејќи ги сите насоки пропишани во Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.На конкурсот за напредување на наставниците во наставник- ментор, наставникот Елена Максимовска- одделенски наставник се здоби со звањето наставник-ментор.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот.Во текот на учебната 2023/2024 ќе се организираат општи родителиски средби (пет во годината), отворени денови (четири во годината) и приемни денови (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласна табла), индивидуални и групни родителиски средби за информирање на родителите за сите активности во училиштето,напредокот, постигањата и поведението на учениците. Информираноста на родителите се врши преку интернет (web страна на училиштето, web страна на општината, Е- дневник, затворени групи на социјалните мрежи), брошури и соопштенија. За тековните активности на видни места во училштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања и соопштенија.

Од родителите се очекува да ги застапуваат интересите на учениците преку своите тела во училиштето (советите на родители) и преку другите тела во чијаработа учествуваат (Училиштен одбор). Преку овие тела, родителите треба да бидат вклучени во формирањето на листата на воннаставни активности што ќе ги нуди училиштето, како и во изборот на оние што ќе ги реализира. Родителите треба да имаат удел и во изборот на конкретната воннаставна активност во која ќе учествува нивното дете.

Освен во планирањето, родителите можат да се вклучат и во реализацијата на воннаставните активности, работејќи заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација. Притоа, родителите можат да се јават во улога на помошници или на носители за активноста заедно со одговорниот наставник и кога се работи за краткотрајни и за подолготрајни воннаставни активности. На тој начин родителите можат да придонесат и за проширување на листата на воннаставни активности што ќе се реализираат во училиштето.

Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот научење и

**воннаставните активности**

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се поканууваат на советување кое што го води психологот на училиштето.

Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,, , „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието„ , ,,Проектот за намалување на насилство како да се сменат нештата,, и „Училишни градини-училиште на иднината ,, .

Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр. „Подари книга,, „Подари садница„ „Велигденски хепенинг,, , „Новогодишен хепенинг ,, како и многу други.

На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

Родителите учествуваат и во донесувањето одлуки. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења исугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други современи закани.

Начинот за информирање на родителите е брошурата. Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

# 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

### Комуникација со локалната заедница

Училиштето планира соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето.Во ова програмско подрачје планираме да ги ставиме сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето, а кои се од интерес за воспитнообразовната работа. Преку ова подрачје ги остваруваме следните задачи:

- искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето;
- збогатувањена воспитно-образовната работа како резулат од искористува-њена можностите на институциите од областа на културата, спортот и сл;
- орагнизирање на заеднички културно-уметнички, образовни спортски и други манифестации со другите училишта од општината;
- збогатување на воспитно-образовната работа како резулат на размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината.

Заради остварување на предвидените цели училиштето на високо ниво ја одржува комуникацијата со локалната самоуправа и месното население. Комуникацијата најчесто е непосредна и усна, но службените контакти поткрепени со

документација се остваруваат со пишана и електронска комуникација. Се предвидува да се реализираат состаноци, средби, дебати, трибини, согласно соодветни Програми кои се дел од Годишната програма за работа на училиштето.

Дел од културно образовните активности во училиштето ќе се реализираат во соработка со населението од локалната средина и преку Детската организација на училиштето, која е основен двигател на сите активности, преку организацијата на Црвен Крст, реализацијата на еколошката програма и ќе се превземаат најразлични акции за соработка, а кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.

Бидејќи нашето училиште опстојува во рурална средина каде нема висока концентрација на субјекти од бизнис секторот, комуникацијата со нив оди малку потешко и не ја проценуваме како многу успешна. Посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето на кои се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др. се предвидени во посебни програми.

**Соработка со институции од областа на културата и образованието**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програма, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје
- Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на македонската борба
- Библиотека —Другарче‖
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Градски кина
- Изложби
- Снежен град Маврово
- Црква Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата

- ♣ пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица
- ♣ Посета на метеоролошка станица
- ♣ Посета на ПМФ
- ♣ Посета на Планетариум
- ♣ Културни манифестации – детски фестивали, театар, опера и балет
- ♣ Новогодишна претстава
- ♣ Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- ♣ Посета и запознавање со работата на општината
- ♣ Посета на Вила Водно - Кабинет на претседателот на Република Северна Македонија во чест на Денот на знамето

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

- ♣ Да ги прошират сознанијата за непосредната околина
- ♣ да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување
- ♣ да се оспособуваат да користат различни извори на знаења
- ♣ да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина
- ♣ да се ориентираат во просторот и времето
- ♣ да ги прошират знаењата

**Соработка со други институции**

Соработката на училиштето со здравствените организации се сведува најчесто на соработка со Здравствен дом поликлиника Ченто, во рамките на предвидената здравствена заштита на учениците, соработка ЗМЗ и соработка со МКФ.

Во рамките на реализација на предвидените проекти ќе се остварува и соработка со НВО секторот и Здруженија на граѓани кои ги поддржуваат истите.Неколку годишна активна соработка се остварува со Детската амбасада Меѓаши и ститата е предвидена да продолжи во континуитет и оваа година.

Училиштето е активен поддржувач на спортот и нашите ученици постигнуваат забележителни резултати на ова поле. Тоа допринесе за воспоставување на контакти со спортски друштва и клубови кои функционираат во Општина Гази Баба. Најплодна соработка се реализира и се планира со РК Металург кој им овозможува на нашите ученици бесплатна посета на натпревари, средби со поедини спортисти и членување

во подмладокот на клубот. Во зависност од афинитетите на учениците предвидена е и соработка со ФК Скопје, ФК Хет-Трик и ФК Вардар каде досега членуваа голем број наши ученици од претходните генерации. Соработката, пак, со КУД „Седенка и едукативен музички центар ,,Наши ноти,,- од с.Булачани трае веќе неколку години и ќе продолжи на задоволство на учениците. Ова културно-уметничко друштво им овозможува на учениците во местото на живеење да го негуваат народното музичко творештво и голем број народни обишаи, што значи многу ако се земе во предвид местоположбата на населените места во однос на градот.

***Соработка со медиуми***

Заради подобра информираност на заинтересираните субјекти, но и заради промоција и градење имиџ на училиштето, ООУ„Наум Охридски,, соработува со пишани и електронски медиуми од непосредната околина. Националната телевизија и приватната МТМ и Алфа телевизија се наши долгогодишни партнери во оваа сфера, а соработката е предвидена да продолжи и во нареднава учебна година. Дневниот весник „Дневник,, и Гласникот на општина Гази Баба се дел од пишаните медиуми со кои соработката продолжува во континуитет. Детските постигнувања и творби се промовираат во детските списанија Развигор, Наш свет, Другарче, Нумерус. Најчесто како медиум за промоција на работата и постигнувањата на училиштето се користи Интернетот. Училиштето има своја група на социјалната мрежа Facebook и тука ги пласира најблаговремено сите вести. Веб - страница на училиштето исто така е во подем и со неа се постигнува уште повисок степен на промоција на сите активности и постигнувања, како и подобра информираност на заинтересираните субјекти.

На почетокот на секоја учебна година се изработува информативен флаер за Годишната програма за работа на училиштето и тој е наменет за родители, ученици, месно население, претставници од лок. самоуправа и други заинтересирани страни.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програмаза работа на основното училиште

Инплементацијата на Годишната програма подразбира:

- квантитативното остварување на предвидениот план на поедина активност од Годишната програма
- постигнување на одреден квалитет на резултати од реализацијата на тој план. (вреднување на постигнатото).

При следење и евалуација на реализиацијата на Годишната програма за работа на училиштето се тргнува од планот за развој на училиштето, насоките за самоевалуација на работата на училиштето и од законските и подзаконските акти врз кои се заснова истата.

Следењето на инплементацијата на годишната програма има за цел навремено да ги согледа нивото и квалитетот на реализација на сите планирани активности во неа. Со критички осврт на остварената на планираното ќе се согледуваат потребите од евентуални корекции и ќе се вршат истите. Најважно при тоа е да се обезбедат оптимални услови за реализација на планираните активности на училиштето со овој документ. Процесот на следење започнува од моментот на усвојувањето наГодишната програма за работа од страна на Советот на општината и тече континуирано до крајот на учебната година. Субјектите кои ја следат инплементацијата на Годишната програма се: директорот, стручната служба, наставничкиот совет, училишниот одбор, советот на родители, ДПИ, МОН и БРО.Сите носители на активностите се исто така вклучени во процесот на следење на инплементацијата на Годишната програма за работа на училиштето, вршејќи контроланад сопствената работа.

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Годишната програма за работа на училиштето претставува воспоставување врска помеѓу очекуваните резултати и фактичката состојба по реализацијата, со што всушност се врши проценка на квалитетот на реализацијата на сите активности и воспитно - образовни задачи во нив. Проценката ќе се врши врз основа на тоа колку планираното ниво на квалитет е блиску до утврдениот квалитет со евалуацијата.

Целта на следењето и евалуацијата на Годишната програма за работа на училиштето е наставниците, а и сите други субјекти во училиштето, да се најдат во ситуација на критичко преиспитување на сопствената работа, сеедно дали тоа се однесува на планирањето или реализацијата.

Основната документација која е потребна при вршењето на евалуацијата на Годишната програма за работа на училиштето се: Развојниот план на училиштето (оперативните и глобалните планови), дневниците за работа, подготовките за реализација на часовите или другите активности, периодичните и годишните извештаи за работа на училиштето, евиденцијата за редовност на вработените, евиденцијата на дежурните наставници и сé друго, што може да служи како извор на информација за квалитетот на реализирањето.

Работата во училиштата секогаш има потреба од контрола и мерење на квалитетот, пред се заради сериозноста и важноста на дејноста која ја обавуваат. Навремено утврдените потреби и навремено извршените корекции во работата ќе допринесат за зголемување на квалитетот на работата во училиштето, а бенефитите од тоа ќе ги почувствуваат сите учесници во воспитно - образовниот процес

## 25. Заклучок

Нашето училиште се стреми кон стекнување на трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за животно учење и индивидуален развој. Тоа е воедно и темел и на нашето годишно планирање. Ги подобруваме условите за реализација на воспитно образовниот процес, мноштво од нагледни средства и дидактички материјали, опремена библиотека , уреден училишен двор, безбедна средина за нашите ученици и постојано тежнееме кон новите предизвици за современа настава, примена на ИКТ, го негуваме мултикултурализмот, успешно се носиме со инклузијата, ги учиме нашите ученици на еднаквост, хумананост и правичност. Преку партиципацијата во ученичката заедница и ученички парламент, кај учениците ќе ја развиеме демократичноста, самоиницијативноста, креативноста и иновативноста. Промените во секој сегмент од современиот образовен систем брзо и храбро ги следиме и ќе ги применуваме во сите области на нашето работење. Ги применивме и промените на наставниот план и програма, ќе ја зголемиме и соработката со родителите и локалната средина и постојано ќе тежнееме кон врвот.

Годишната програма за работа на ООУ „Наум Охридски,, с. Булачани – Скопје, претставува сеопфатен и детален оперативен план со кој е програмирана целокупната работа во училиштето и овој суштински документ ефикасно ќе не води при реализација на планираните активности. Во него се предвидени сите форми и начини на работа овозможени од материјално-техничките, кадровските, финансискитеи други услови во поширокатa заедница каде опстојува ООУ „Наум Охридски,,. Деталноста со која е направена програмата ќе овозможи таа да претставува основен водич во работата на сите субјекти во училиштето, бидејќи во неа се вткаени сите планови на активности и потребни нормативи кои ја уредуваат работата на училиштето.

Во текот на летниот распуст во училиштето се направени сите потребни предуслови за отпочнување на реализацијата на оваа програма. Обезбеден е соодветен наставен кадар и екипирана е стручната служба што ќе овозможи успешна реализација на воспитно образовната работа, за што се обезбедени современи средства и услови.Техничкиот персонал е обучен за работа и за следење на протоколи за заштита.

Земајќи предвид дека се создадени реални услови за отпочнување на реализацијата, целосното реализирањето на оваа програма, квантитативно и квалитативно, ќе значи успешно изведување на воспитно - образовната работа и севкупниот училишен живот во ООУ „Наум Охридски,, с. Булачани – Скопје во учебната 2023/2024 година.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работана основното училиште

Директор
- Елизабета Андова

Стручни соработници
- Елизабета Синделиева – психолог
- Марина Миткова– педагог
Ивона Величковска - дефектолог

Предметни наставници
- Соња Рулеска
-Александра Величковска

Одделенски наставници
- Елена Максимовска
- Сунчица Стојковска

Училишен парламент

- Александар Трајковски
- Ученик – правобранител
- Марија Спасовска

## 27. Користена литература

При изработката на Годишната програма на ООУ„Наум Охридски- за учебната 2023/2024 година, освен интерните документи врз основа на кои се планирание следните активности, користена е и следната литература:

• Законот за основното образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година).

• Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште од 06.07.2020 година со број 18-6579/1 донесен од Министерот за образование и наука. • Статут на ООУ „Наум Наумовски Борче- Гази Баба Скопје,

• План за развој на училиштето 2022-2026

• Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 19.11.2019 година со број 12-13487/1 донесен од Министерот за образование и наука.

• Концепција за воннаставни активности во основното образование, што е утврдена од министерот за образование и наука со решение број 12-2897/2 од 5.3.2020 година.

• Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија.

• Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта.

• Прирачници за основните професионални компетенции на наставниците, стручните соработници и директорот во основните и средните училишта • Прирачник за следење на работата и планирање на професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта

• Водич за работа на училишниот инклузивен тим
• Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта

Директор:
ООУ„Наум Охридски,, с.Булачани

_____

м-р Елизабета Андова

Претседател на Училишен одбор

_____

Сања Петрушевска

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# Прилог 1. Годишна програма за работа на директор

Работата на директорот треба да е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.

Пред да отпочне со планирањето и програмирањето на својата работа, директорот најпрво треба да ги проучи и анализира сите услови, состојби со цел да се здобие со соодветни познавања и квалитетни оценки за она што треба да биде приоритет во планирањето.

Директорот треба да ја организира воспитно- образовната работа во училиштето. Од него зависи организацијата и реализацијата на сите подрачја на надворешната и внатрешната структура на наставата, а индиректно и работата на наставниците.

Директорот знае што го прави едно училиште ефективно и се води од начелото на професионализам, ставајќи ги интересите на училиштето, односно неговата мисија и визија, пред сите други интереси, дури и кога тоа значи дека избрал да оди по потешкиот пат. Директорот има високи очекувања од себеси и од другите и поставува високи стандарди во работењето, вклучувајќи го и однесувањето согласно професионалните кодекси. Верува дека тој е оној што треба најмногу да придонесе училиштето да се справи со предизвиците на коишто е секојдневно изложено и да ги поддржи вработените во постигнувањето на поставените цели. Директорот се грижи за впечатокот што тој и училиштето го оставаат во околината.

Директорот е посветен да работи во интерес на учениците и во прв план ги става нивното учење и благосостојба. Тој верува дека училиштето може да придонесе максимално да се развијат потенцијалите на учениците и посветено работи на постигнување на таа цел. Директорот настојува работата во училиш тето да ја организира така што сите ученици во училиштето ќе се чувствуваат добредојдени. Темелејќи ја својата и работата на другите врз почитувањето на човековите права, свесен за различностите кај учениците и нивните родители, директорот се залага тие да бидат прифатени и почитувани од сите вработени во училиштето.

Директорот смета дека промените во општеството треба да бидат следени со промени во училиштата, затоа работи на постојано унапредување на животот и работата во училиштето. Поаѓа од начелото дека промените почнуваат од поединецот, а себеси се гледа како иницијатор за промени. Затоа е посветен на сопственото професионално усовршување и про- фесионалното усовршување на кадарот за внесување иновации во работењето.

Програмата за работа на директорот е интегрален дел на програмата заработа на училиштето. Но, ако појдеме од фактот дека директорот е главниот носителна таа програма, сосема е разбирливо дека програмата за работа на директорот

камен - темелник на кој се потпираат сите други програми, спојница која ги поврзува и надоврзува сите поединечни програми.

Професионалните компетенциите на дирекорот се групирани во следни ве подрачја ипотподрачја:

## *1. ВОДСТВО*

**11.** Стратешко водство

Обезбедува визијата на училиштето да биде јасно дефинирана, позната и прифатена, и ги вклучува сите во нејзиното спроведување.

- Во соработка со колективот работи на операционализирање на визијата во цели и оперативни планови во насока на реализација на мисијата.
- Визијата и вредностите се отсликуваат во секојдневната работа.
- Влијае вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко.
- Стиловите на водство ги избира и применува согласно ситуацијата.
- Основните поставки на водење на училиштето се операционализирани во соодветни процедури.
- Вложува во развој на идентификуваните водачи, формира тимови, им дава ресурси, авторитет и одговорности и им овозможува слобода за дејствување.
- Остварува континуирана соработка со органите и телата во училиштето.

**12.** ***Училишна клима и култура***

- Воспоставува механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања.
- Презема активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето и гради позитивна клима и прифаќање и почитување на сите.
- Воспоставува систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.
- Со вработените, учениците и родителите ги промовира вредностите на училиштето.
- Воспоставува процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност.
- Поставува високи и достижни очекувања од учениците и вработените.
- Воспоставува добра хоризонтална и вертикална соработка (во активи и меѓу активи, како и други тела).
- Обезбедува принцип на ОТВОРЕНА ВРАТА за соработка со наставници, родители илокалната заедница, бизнис секторот.
- Ја поддржува реализацијата на програмите на ученичките организации, слободните ученички активности.
- Се однесува согласно етичките принципи и определби во кодексите.
- Ги поддржува и се грижи вработените, учениците и родителите да се однесуваат согласно етичките принципи и вредности.

- Обезбедува услови за реализација на активности од областа на инклузија, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и сл.

Постојано ги следи заемните односи во колективот и презема мерки за подобрување на училишната клима и култура. Информиран е за ранливите категории ученици на ниво на училиште (емоционално, социјално, економски).

## *2.* РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *2.1.1 КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА*

- Формира тим за односи со јавноста и изготвува акционен план и програма за презентација на училиштето и односи со јавноста (кој наставници ќе бидат вклучени, поттимови за разни активности, портпарол, итн.).
- Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето и со средината.
- Комуницира со вработените континуирано, непосредно, во писмена и во електронска форма.
- Создава и одржува позитивни односи со вработените, родителите, учениците и други засегнати страни.
- Активно ги слуша и почитува ставовите, мислењата и интересите на другите.
- Користи различни видови и приоди во формална и неформална комуникација.
- Претставува позитивен модел за вработените во примената на комуникациските вештини.
- Ја следи комуникацијата во училиштето и дава повратна информација.
- Има воспоставено механизми кои му овозможуваат да добие повратна информацијаод вработените, учениците и родителите.
- Го приспособува начинот на комуникација за да ги надмине недоразбирањата.
- Ги планира состаноците и навремено ги информира учесниците.
- При планирање на состаноците ги зема предвид мислењата на останатите.
- Конструктивно ја насочува дискусијата за време на состаноците.
- Извлекува релевантни заклучоци од дискусијата.
- Има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето.
- Има план за привлекување поголем број ученици како резултат на квалитетот на вработените и наставата во училиштето.
- Го следи осипувањето и гради стратегија за негово намалување во училиштето.
- Ги поттикнува вработените да се вклучуваат во активности за презентација на училиштето.
- Изготвува стратегија за презентација на училиштето во јавноста.
- Планира активности за односи со јавноста како дел од годишната програма за работа.

### *2.1.2 УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ*

- Користи јасен приод за развој на меѓучовечките односи и надминување на конфликтите.

- Применува различни методи и техники за преговарање и посредување при разрешување конфликти.
- Помага во разрешување конфликти и гради добри меѓучовечки односи.
- При распределба на работните ангажмани води грижа за интересите на вработените.
- Дава совети и конструктивни предлози што ги мотивираат вработените дополнително да се ангажираат.
- Ги зема предвид потребите на вработените во комуникацијата и организацијата на работата.
- Воспоставува процедури и критериуми за оддавање признанија на вработените.
- Применува техники за мотивација согласно ситуацијата и вклучените актери.
- Продуктивност во работата (професионално портфолио како доказ). Клима и култура кои го поддржуваат вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставувањето цели и креирањето промени.

***2.1.3. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ***

- Прави анализа на ефективноста на сопственото работење и изготвува личен план за професионален развој.
- Следи стручна литература и информации од значење за образованието и воспитанието.
- Ги имплементира промените и новините во системот на образованието и ја проценува нивната ефективност.
- Учествува во различни форми на стручно усовршување.
- Учествува во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежиифорумисо цел да ја подобри својата работа.
- Воспоставува систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници и сл.).Обезбедува транспарентна и правична распределба на ресурси и можности за професионален развој.
- Менаџира активностите предвидени во годишниот план за професионален развој.
- Идентификува и обезбедува ресурси потребни за реализација на планот за професионален развој.
- Планира и обезбедува услови за реализирање на професионалниот развој на вработените.
- Учествува во идентификување на приоритетите на училиштето при изработка на училиштен план за професионален развој и ја следи реализацијата на истиот.
- Врши контрола врз начинот на водење на професионалните досиеја согласно ЗОО.
- Транспарентно поставува високи остварливи стандарди за квалитетно работење и постигање на вработените.
- Излегува во пресрет на индивидуалните потреби за професионален развој согласно можностите на училиштето.
- Користи различни инструменти за евалвација на работата.

- Капацитетите на вработените кои се стекнале со повисоко звање (ментор или советник) ги става во функција на професионалниот развој на кадарот.
- Училиштето е отворено за партнерство со различни институции на национално, регионално и меѓународно ниво, учествува во проекти, стручни посети и размена на мислења и искуства.

### *2.2.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР, РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ*

- Го планира потребниот персонал во соработка со одговорните институции.
- Спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување.
- Обезбедува стручен и компетентен кадар.
- Изготвува план и програма за работно воведување и обезбедува негова реализација.
- Има изготвено систем за поддршка на нововработениот персонал.
- Го следи и поддржува спроведувањето на планот и програмата за работно воведување.
  - Воннаставните и вонучилишните ангажмани ги усогласува со капацитетите и интересите на вработените за остварување на визијата и целите на училиштето.
  - Транспарентно изготвува план за распределба на работниот ангажман на вработените.
  - Препознава и наградува индивидуални достигнувања.
  - Континуирано ја следи работата на сите вработени и обезбедува соодветна поддршка и развој.
  - Формира тимови, обезбедува соодветна поддршка, ја следи нивната работа и врши евалвација на резултатите.

## *3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО*

### *3.1 ПЛАНИРЊЕ*

- Воспоставува систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето.
- Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелните приоди, програми и проекти (животни вештини, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еколошки проекти и сл.).
- Изготвува и користи анализи на податоци од самоевалуацијата, екстерните оценувања и евалуации (ДПИ, проекти и сл.).
- Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето.
- Изработува годишни, оперативни и неделни планови за сопствената работа.
- Прави ревидирање на програмите (краткорочни, среднорочни и долгорочни) за работа.
- Ги презентира годишните и развојните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница.
- Подготвува програма за развој на училиштето.

- Иницира, координира и насочува активности за иновирање во наставата.

### *3.2.ПОДДРШКА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО*

- Воспоставува процедури за планирање на наставата и на воннаставните активности.
- Ги поддржува наставниците при планирањето.
- Ги анализира сознанијата од следењето на различни аспекти на наставата (индивидуализација и диференцијација на наставата, иновативни приоди во наставата, користење на ИКТ и сл.), изготвува извештаи и дава предлози за подобрување.
- Обезбедува услови за реализација на наставни и воннаставни активности за реализација на меѓупредметни цели (животни вештини, претприемништво, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еколошки проекти и сл.).
- Изработува и користи инструменти за следење на наставата (подготовки, реализација).
- Следи наставни часови и дава повратни информации.

### *3.3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ САМОЕВАЛУАЦИЈА И РАЗВОЈ*

- Ја следи и вреднува ефикасноста на организацијата на работата (распоред на наставни часови, наставни и воннаставни активности, вонучилишни активности и др.).
- Ја следи ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми.
- Користи инструменти за евалуација на работата на наставник, стручен соработник.
- Прави самоевалуација на сопствената работа.
- Поддржува планирање на работата врз основа на самоевалуација.
- Учествува во проценката на инструменти и техники за самоевалуација на работата на наставниците и стручните соработници.
- Ги поттикнува и поддржува наставниците да ги анализираат постигањата на учениците (по предмет/ паралелка/година), вклучувајќи ги и резултатите од националните и меѓународните мерења на резултатите.
- Воспоставува систем за редовни анализи на постигањата на учениците и нивно користење.
- Промовирање на постигнувањата на учениците.
- Поддржува и проценува изготвување стандарди и индикатори за оценување.
- Води советодавно-инструктивни разговори со наставници, ученици и родители.
- Потикнува стручно усовршување и опспособување на наставниците и стручните соработници.
- Воспоставува училиштен систем за следење и обезбедување квалитет на воспитно-образовниот процес и презема активности за негово функционирање.
- Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето и со други училишта вклучувајќи и користење на современа образовна технологија.

- Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и презема активности за нивно спроведување.
- Обезбедува потребни дидактички средства, работни материјали, инструменти и друг материјал.

### *3.4. СОЗДАВАЊЕ ЗДРАВА, БЕЗБЕДНА И ДЕМОКРАТСКА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ ИРАЗВОЈ НА УЧЕНИКОТ*

- Развива интерни акти за вонредни ситуации и обезбедува обука на кадарот за соодветно справување.
- Овозможува да се воспостават и обезбедува почитување на правилата за однесување во училиштето, вклучувајќи и безбедност во училиштето.
- Обезбедува и промовира грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина (изглед, хигиена...).
- Обезбедува услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба.
- Формирање инклузивни тимови.
- Изготвува политики за опфат и задржување на ученици од ранливи групи и со посебни образовни потреби.
- Обезбедува реализација на различни форми додатна и дополнителна настава и менторство или туторство на ученици.
- Обезбедува поддршка на наставниците за изработување индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби.
- Обезбедува учениците од различен етнички состав да се вклучени во заеднички наставни и воннаставни активности во училиштето.
- Обезбедува активности за запознавање со културите на заедниците што живеат во Република Македонија.
- Во училишта на повеќе наставни јазици обезбедува заедничка работа на стручните тела и органите.
- Обезбедува заедничкиот училиштен простор да го отсликува мултиетничкиот/мултикултурниоткарактер на Република Македонија.
- Создава услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации.
- Води грижа ученичката заедница да е инклузивна (вклучени се ученици од различен пол, наставен јазик, етничка припадност, социјален статус).

## *4.ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ*

### *4.1 РАКОВОДЕЊЕ СО ФИНАНСИСКИТЕ РЕСУРСИ*

- Пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и презема активности за обезбедување дополнителни средства за училиштето.
- Го следи наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет

на училиштето во целина.Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

- Обезбедува донесување на буџетот согласно предвидените процедури.
- Развива механизми што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства од разни фондови.
- Постапките за финансиско работење што ги спроведува се во согласност со законските акти.
- Ги информира органите и телата во училиштето за трошењето на финансиските средства.
- Обезбедува навремено исполнување на деловните обврски.
- Јавните набавки ги врши согласно законот.
- Ги следи постапките за реализирање на јавните набавки.
- Ги следи измените во регулативата за јавните набавки.
- Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка.
- Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење.

### *4.2. РАКОВОДЕЊЕ СО МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ*

- Воспоставува систем за проценување на потребите и утврдување на приоритетите и обезбедува негово функционирање.
- Изготвува план и распоред за максимално користење на расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, во согласност со потребите на учениците.
- Планира и навремено го обезбедува кадарот со потребните материјални ресурси за одвивање на секојдневната работа и се грижи за нивно рационално користење.
- Обезбедува наставни средства и помагала согласно нормативот по сите наставни предмети.
- Води грижа библиотеката/медијатеката да биде соодветно опремена и отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училиштен ден.
- Ги вклучува вработените во планирањето на буџетот и ги информира за неговата распределба.

## *5.ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО*

### *5.1. ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ*

- Обезбедува примена на законската регулатива во училиштето.
- Воспоставува систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи.

### *5.2. ИЗРАБОТКА И ПРИМЕНА НА ИНТЕРНИ АКТИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА*

- Организира и учествува во работата на тимови за изработка на интерни акти.
- Носи интерни акти во негова надлежност.
- Утврдува дека интерните акти донесени од соодветните органи и тела се во согласност со релевантната законска регулатива.

- Ги промовира интерните акти и документи пред училишните органи и тела и обезбедува да бидат достапни за сите заинтересирани страни.
- Обезбедува доследно спроведување на интерните акти.
- Спроведува одлуки донесени од училишниот одбор.

### *5.3. РАКОВОДЕЊЕ СО АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ*

- Обезбедува формирање и континуирано и непречено функционирање на стручните органи и тела и учествува во нивната работа.
- Доделува задачи на вработените, обезбедува почитување на рокови и непосредно раководење со процесот.
- Воспоставува добро организиран систем за административна работа согласно соодветната законска регулатива и индикаторите за квалитет на работата на училиштето што е добро организиран и лесно достапен.

### *5.4.ПРИМЕНА НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ ВО УЧИЛИШТЕТО*

- Обезбедува вработените да се обучени и информирани за навремено, целосно и точно водење на електронските бази на податоци.
- Обезбедува услови за развој и функционирање на информациските системи.
- Обезбедува услови за сеопфатна електронска евиденција на сите активности на училиштето.
- Обезбедува обуки за вработените за користење на современите информациско-комуникациски технологии.
- Користи информациски системи во секојдневната работа·

Ја организира и следи работата на вработените и обезбедува соодветни услови.

*Оперативна програма за работа на директорот*

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал | Подготовка за успешен почеток на учебната година. | Стручни активи, Стручна служба Наставници, Активи | Септември |
| Соработка со Локалната самоуправа, МОН и БРОна РСМ | Да се увидат и применат сите новини и промени | Министерство за образование, Педагошки завод и претставници на Министерството | Септември |
| Насоки и координација во планирањето и програмирањето | Планирањето и програмирањето да се изврши квалитетно според наставниот план и програм | Директор, Стручна служба | Септември |
| Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето , особено организирање на програма за прием на првачиња | Да се одбележи почетокот на учебната година. | Стручни активи, Стручна служба, Одделенски раководители | Септември |
| Увид во годишните и тематските распределенија (планирања) на наставниците. | Да се види квалитетот на планирањето и да се укаже на недостатоците. | Директор, Стручна служба, Наставници | Септември |
| Работа со наставниците почетници | Заеднички да се индентификуваат проблемите во планирањето и организирањето на наставата | Стручна служба Претседатели на активи Наставници - ментори | Септември континуирано |
| Општествено корисна работа – одржување на училишните простории и дворот. | Да се уреди училишниот двор. | Директор, Хигиеничари, Наставници, Ученици | Континуирао |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Увид во работата на проектите | Да се започне со изготвување на одделенските -портфолиоǁ. | Директор, Стручна служба, Наставници | Септември |
| Организација и протокол за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците за време на часовите и во просториите на училиштето | Користење на мобилните телефони на учениците согласно Протоколот за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците | Директор, Стручна служба, Наставници | Септември |
| Превземање на мерки за подобрување на процесот за безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето | -Обезбедување на физичко и патролно обезбедување во училиштата и дежурства на наставниците во училиштето и училишниоот двор.<br>-Обезбедување на безбедна и пријатна атмосфера за работа во училиштето. | Директор, Стручна служба, Наставници | во текот на целата учебна година |
| Увид и давање на упатства за правилно водење на педагошката документација во училиштето | Да се види квалитетот на планирањето и де се отстранат евентуалните грешки. | Директор, Стручна служба Наставници | Септември |
| Стручен и аналитички увид во сите планови доставени до дирекророт | Да се види квалитетот на планирањето и да се отстранат евентуалните грешки | Директор, Стручна служба | Септември |
| Работа со одделенски раководители за реализирање на одделенски часови | Да се упатат одд.раководители за правилно и функционално реализирање на одд. час | Директор, Стручна служба, Одделенски раководители | Септември |
| Увид во организационата поставеност на ученичките организации и слободните ученички активности | Да се увиди функционалноста и организираноста на слободните ученички активности | Директор, Стручна служба Наставници | Септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка и реализација на екскурзии | Добро осмислување и реализирање на екскурзиите. | Директор,Стручна служба, Наставници | IX-X, V-VI |
| Размена на искуства со други директори | Стекнување на нови искуства од областа на раководењето | Директор | Во текот на цела година |
| Подготовка и спроведување на дисеминација на обуката на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието | Овозможување технички услови за спроведување на десеминацијата, презентација на прирачниците за заеднички активности и демократско учество на учениците | Директор, Координатор на проектот | Октомври |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Помош во изготвување на ,,програма за меѓуетничка интеграција на образованито,, | Изготвување на програма за проектот за меѓуетничка интеграција во образованието како дел од Годишната програма за работа на училиштето | Директор, Координатор на проектот Тим за меѓуетничка интеграција на образованито | Октомври |
| Посета на часови од I до IX одд. | Непосреден увид во квалитетот на планирањето и реализирањето на наставата, со цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата | Директор, Стручна служба | Октомври |
| Преглед на електронскиот дневник | Со цел правилно да се евидентираат соджините во нив и нивниот реден број | Директор, Комисија за преглед | Октомври |
| Увид во главната книга на учениците– запишување на првооделенците. | Да се види квалитетот на извршените задачи. | Директор, Стручна служба | Октомври |
| Увид во дневните подготовки и сценарија на наставниците | Да се види дневната подготовка за час и примената на современи форми и методи. | Директор, Стручна служба | Октомври |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Контрола во начинот на водење на професионалните досиеја на наставниците | Да се увиди дали правилно се водат професионалните досиеја | Директор, Стручна служба | Октомври |
| Организација и изведување на екскурзии низ РС. Македонија-маршрута и траење. | Да се запознаат учениците со местата кои ќе ги посетат. | Директор, наставници | Октомври |
| Следење на примената на нови наставни форми,методи и средства во наставата | Да се унапредува воспитно-образовната работа во училиштето | Директор, Стручна служба | Континуирано |
| Увид во водењето на педагошката евиденција и документација | Поефикасно водење на педагошката евиденција и документација | Директор, Стручна служба | Континуирано |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Организација и прием на првачињата во Детската организација. | Организирано стапување на децата во детската организација. | Одговорен наставник | Октомври |
| Следење на примената на нови наставни форми, методи и средства во наставата. | Да се унапредува воспитно-образовната работа во училиштето. | Директор, Стручна служба | Континуирано |
| Увид на часовите од дополнителна и додатна настава со цел да се оцени нејзината ефикасност и изготвување на извештај на извршените педагошки увиди | Да се види ефикасноста од реализацијата на додатната и дополнителната настава | Директор, Стручна служба | Октомври |
| Усовршување на формите за соработка со родителите. | Да се запознаат и иницираат родителите за поголема соработка со училиштето. | Директор, Стручна служба, Родители | Континуирано |
| Увид во работата на техничкиот персонал. | Да се подобри хигиената во училиштето и санитарните јазли. | Директор, Хигиеничари | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организација и одржување на Одделенските совети за првото тромесечие. | Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите. | Директор, Стручна служба наставници | Ноември |
| Подготовка , одржување разгледување и анализа на успехот и дисциплината на учениците во првото тромесечие на Наставнички совет. | Анализа на успехот и поведението во ова тромесечие. | Директор, Стручна служба наставници | Ноември |
| Увид во работата на Стручните активи, Посета на нагледен час во паралелка со примена на современи форми на наставна работа | Да се види час во кој се применети современи форми на наставна работа | Директор, Стручна служба, Наставници | Ноември |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Анализа на структурата со реализираниот час со наставниците на ниво на стручен актив | Да се увидат позитивните и негативните страни и да се разменат идеи | Директор, Стручна служба, Наставници | Ноември |
| Увид во одделенските книги во реализација на редовната и воннаставните активности | Да се види како се реализираат програмите од редовната настава и воннаставните активности. | Директор, Стручни активи, Стручна служба | Ноември |
| Консултативни состаноци во ПЕ на МОН-Гази Баба | Запознавање со новините во воспитно-образовниот процес | Директор, Претставници на ПЕ-Скопје | По потреба |
| Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето, задолженија по активи, програма и сл. | Успешно да се реализираат подготовките за патрониот празник на училиштето. | Директор, Стручни активи, Стручна служба | Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на работата на стручните соработници | Давање сознанија и сугестии за унапредување на компетенциите на стручниот соработник кој ќе ги користи при планирање на професионалниот развој | Директор | Ноември |
| Следење на реализацијата на програмата за дополнителна и додатна настава како и примена на ИКТ во наставата | Да се види квалитетот на реализацијата на дополнителната и додатната настава | Директор, Стручна служба | Континуирано |
| Следење на квалитетот на работата на наставниците | Непосреден увид во квалитетот на планирањето и реализирањето на наставата, со цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата, давање на насоки за понатамошна работа | Директор, Стручна служба | Декември |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Следење и насоки за поуспешна реализација на програмите за слободните ученички активности | Да се види квалитетот на точките за приредбите/патронатот | Директор, Стручна служба Наставници | Декември |
| Увид во дневниците со нагласок на оценувањето и примена на формите на оценувањето на знаењето на учениците | Упатување на наставниците во правилно користење на формите на оценувањето | Директор, Стручна служба Наставници | Декември |
| Советодавна работа со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата , недисциплина и соработка со нивните родители | Да се спречат несаканите појави и оштетување на инвентароти да се отстранат причините за нередовно посетување на наставата | Директор, Стручна служба Одделенски раководители | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие. | Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите. | Директор, Стручна служба, Наставници | Декември Јануари |
| Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото полугодие. | Анализа на успехот и поведението на учениците во првото полугодие. | Директор, Стручна служба, Наставници | Декември Јануари |
| Подготовки и учество во одржување на родителските средби | Разрешување на тековни проблеми. | Директор, Стручна служба , Одделенски раководители | Декември-Јануари |
| Изготвување на полугодишен извештај за работата на учениците во првото полугодие | Да се соберат податоци за квалитетен полугодишен извештај | Директор, Стручна служба Наставници | Јануари |
| Разговор со наставниците за проблемите кои се јавуваат кај нив при реализацијата на програмските задачи | Да се најдат и отстранат проблемите за поуспешно одвивање на наставата | Директор, Наставници | По потреба |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Увид во работата на пописната комисија | Да се види квалитетот на извршениот попис | Директор, чл. на пописна ком. | Јануари |
| Состанок со Училишниот одбор-разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето | Да се информира Училишниот одбор за содржината на полугодишниот извештај | Директор, Секретар, Сметководител, членови на УО | Јануари |
| Предавања против болести на зависност и социо-девијантните појави | Заштита, превенција и отргнување на учениците од овие пороци | Директор, Стручни активи , Стручна служба | Јануари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Присуство и учество во работата на Стручните активи | Да се види како се реализираат предвидените задачи со програмите и квалитетот на извршените задачи. | Наставници ,<br>Стручна служба | Тековно |
| Увид во водење на педагошката евиденција и документација | Поефикасно водење на педагошката евиденција и документација | Директор,<br>Комисија за прегледување | Јануари |
| Учество и насоки за професионално ориентирање на учениците од IX одд. | Помош на учениците за избор на идно занимање | Директор,<br>Стручна служба,<br>Наставници | Во текот на цела година |
| Увид во работата на библиотеката-стручен и детски печат(списанија) | Да се зголеми бројот на претплата на детски печат | Директор,<br>Библиотекар | Февруари |
| Увид во работата на училишната заедница | Поднесување извештај за работата на ученичката заедница | Директор,<br>Одговорни наставници | Февруари |
| Консултација со стручните соработници и превземање мерки за подобрување на успехот и дисциплината на учениците. | Упатување на стручната служба да организираат работилници со родители и ученици за подобрување на успехот и дисциплината на учениците | Директор, стручна служба | Февруари |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Следење на квалитетот на работата на наставниците | Непосреден увид во квалитетот на планирањето и реализирањето на наставата, со цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата | Директор, Стручна служба | Февруари |
| Увид во работата на библиотеката-медијатеката | Да се види искористеноста на фондот на книги | Директор, Библиотекар | Март |
| Изнаоѓање на форми за користење на слободното време на учениците во рамките на училиштето | Правилно и рационално користење на слободното време на учениците во училиштето | Директор, Стручна служба, Наставници | Март |
| Увид во дневните подготовки на наставниците | Да се види дневната подготовка за час и примената на современи форми и методи | Директор, Стручна служба | Континуиирано |
| Организација и реализација на Одделенските совети за третото тромесечие | Да се види успехот на учениците и да се согледа пропуштеното | Директор, Стручна служба, Наставници | Март –Април |
| Формирање училишна комисија и тимови за спроведување на Планот за Самоевалуација во училиштето за 2022-2024 година | Извешатај од Самоевалуацијата со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа | Директор, Стручна служба, Наставници | Март –Јуни |
| Подготвување и одржување седница на Наставничкиот совет на кој ќе се разгледува анализата на успехот и поведението на учениците во третото тромесечие на учебната година | Анализа на резултатите од наставно-воспитната работа во третото тромесечие на учебната година | Директор, Стручна служба, Наставници | Март-Април |
| Организација на Велигденски базар | Да се сочува и негува традицијата и обичаите | Директор, Наставници. Ученици | Април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Увид во Реализација на наставата I од IX до одделение | Да се увиди правилноста во реализациајта на наставта и примената на ИКТ во наставата, современи наставни средства и помагала | Директор,<br>Стручна служба, | Април |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Предавања на теми зацртани со Годишниот план –алкохол и дрога | Превенција од зависностите алкохол и дрога | Одговорни наставници ,<br>Стручна служба | Април |
| Увид во Реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност производно – корисна работа , еко активности и грижа за здравјето | Да се уреди училишниот двор и истиот да се засади со дрвца и цвеќе | Стручна служба<br>Одговорни наставници,<br>Еколошка секција | Април |
| Изготвување на упатсво за работа на наставниците со учениците кои покажуваат незадоволителни резултати | Упатување на наставниците да работат со ученици кои покажуваат незадоволителни резултати | Директор,<br>Стручна служба | Април |
| Спроведување на уписот во прво одделение | Опфаќање на сите деца од таа возраст | Стручни активи ,<br>Одговорни наставници | Мај во текот на целиот месец |
| Организирање и реализација на Настава во природа, Еднодневна ејскурзија Дводневна ејскурзија, и Еднодневен излет | Да се запознаат родителите и учениците со местата кои ќе ги посетат и активностите кои ќе ги реализираат на настава во природа, еднодневна, дводневна екскурзија и еднодневен излет | Одговорните наставници | Април / Мај |
| Информации и насоки за родителите за упис на учениците во средните училишта | Да се запознаат родителите со условите за упис во средните училишта | Директор,<br>Стручна служба,<br>Наставници,<br>Родители | Мај /Јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на работата на стручните соработници | Давање сознанија и сугестии за унапредување на компетенциите на струч. соработник кој ќе ги користи при планирање на професионалниот развој | Директор | Мај |
| Организирање состанок на одделенската заедница и родителите на осмо одделение-полуматурска забава. | Подготовка за успешно организирање на полуматурската забава. | Директор, наставници родители | Мај |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Учество во работата на Стручните активи | Да се увиди работата на стручните активи. Давање предлози и сугестии | Директор , Стручна служба, Наставници , Стручни активи | Мај |
| Следење на квалитетот на работата на наставниците | Согледување на тоа што наставникот направил во текот на годината, односно компетенциите што ги подобрил, идетификација на компетенциите што треба понатаму да ги развива, дискусија околу потребата од професионалниот развој за наредната година. | Директор, Стручна служба | Мај |
| Преглед на извештаите за реализација на воннаставни активности бележење коментари | Дадените коментари ке му помогнат на наставникот при планирање на про-фесионалниот развој за наредната година | Директор | Јуни |
| Набавка на сведителства за учениците | Навремено набавување на сведителства за учениците | Директор, Секретар | Јуни |
| Организација и одржување на Одделенски совети на крајот од учеб. година | Да се внимава на единствен критериум за оценување на крајот од учебната година | Директор, Стручна служба, Наставници | Јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа и утврдување на постигнатите резултати на учениците на крајот од учебната година на Наставнички совет | Да се утврдат рез. на учениците пост. во оваа учебна година | Директор, Стручна служба, Наставници | Јуни |
| Увид во изготвување на распоред за изведување на продолжителна настава | Поефикасно изведување на продолжителна настава | Директор, Стручна служба, Наставници | Јуни |
| Подготовка за изработка на статистички и текстуален Годишен извештај за работата на училиштето | Правилно да се пополнат табелите за Годишниот извештај | Директор, Стручна служба, Наставници | Јуни |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Изработка на Годишен извештај за работата на училиштето | Навремено изготвување на Годишниот извештај | Директор, Стручна служба, | Јуни |
| Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето на Наст. совет | Разгледување на Годишниот извештај | Директор, Стручна служба, наставници | Јуни |
| Одржување на седница со Училишниот одбор-усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето | Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето | Директор, Членови на УО | Јуни-Јули |
| Организирање на доделување на сведителства за завршено одделение | Доделување на сведителства за завр. одд. | Директор, Наставници | Јуни |
| Подготвување на упатство за изготвување на распоред на часовите за наредната година | Навремено изготвување на распоред на часовите за наредната година | Директор, Стручна служба, Наставници | Јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - одржување на продолжителна настава и поправни испити<br>- состаноци со активи<br>- издавање решенија за користење на год.одмори<br>- подготовка за поправка –санација на простории | Следење промените и новините во сите делови на планирањето и подготовките за почетокот на учебната година | Директор,<br>Стручна служба,<br>Наставници | Тековно |
| Спровдување на постапка за обезбедување на училиштето и набавка ЕЛГ | Распишување на тендер за групна набавка | Директор, комисија за јавни набавки | Јули |
| Соработка со Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и ПЕ при Општина Гази Баба | Да се следат промените и новините во сите делови на планирањето и подготовките за почетокот на учебната год. | Одговорни лица во Министерството и соработници во БРО | Август |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Да се прегледаат сите простории на учи-лиштето поради утврдување на состојба пред почетокот на новата учебната година | утврдување на состојба пред почетокот на новата учебна година | Технички персонал | Август |
| Подготовка и одржување на работната седница на Стручните активи и наставничкиот совет | Давање инструкции за изготвување на програма на Стручните активи | Стручни активи на настава ,<br>Директор | Август |
| Конечна (завршна фаза) на изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето | Изготвување на Годишната програма по делови и како целина | Стручни активи на настава ,<br>Директор | Јули/Август |
| Изготвување на годишен извештај за работата на училиштето во учебната година | Да сеувиди целокупната работа на училиштето во учебната година | Стручни активи ,<br>Директор | Јули-Август |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување на предлог листа на нагледни средства и помагала кои треба да се дообезбедат и докомплетираат | Збогатување со нагледни средства и помагала за поуспешно реализирањена наставата | претседател на активи , соработници | Август |
| Подготовка и одржвање на Наставничкиот совет на кој ќе се изврши распределба на предметите на наставниците , одделенските раководства и опреде-лување на евентуален технолошки вишок | Подготовка за успешен почеток на учебната година | Директор,Стручни активи на наставата | Август |
| Учество во Изготвување на распоред на часови во учебната година | Да се изготви прецизен распоред на часови во учебната година | Директор, Одговорен кој ќе го изготвува распоредот | Август |

| Програмска содржина | Очекувани резултати | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Седница на Училишниот одбор-усвојување на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024год. | Да се усвои Годишната програма за работа на училиштето | Директор,<br>Членови на УО | Август |
| Седница на Советот на родители | Конституирање на Советот на родители и соработка за подобрување на успехот и дисциплината на учениците како и подобрување на условите за работа | Директор,<br>Стручна служба,<br>Членови на СР | Септември |

# Прилог 2. Годишна програма за работа на психолог

## *ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ*

**ВОВЕД**

Годишната Програма за работа на училишниот психолог е изготвена врз основа на:

• Законот за Основно Образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), Закон за наставниците и стручните соработници (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година),

• Статутот на училиштето.

• Основи за програмирање на воннаставната воспитно - образовна дејност на ОУ и на работата на Стручните работници - 1998 г.

• Годишниот Извештај за работата на училиштето во учебната 2022/23 година.

• Годишната Програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година.

• Условите, потребите и состојбите во кои работи училиштето.

• Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование.

**I. ОПШТИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ НА ПСИХОЛОГОТ**

Психологот во училиштето работи на :

• Укажување стручна помош при коципирањето и учествува во изготвувањето на Годишната Програма за работа на училиштето, програмите за работа на воннаставните активности и другите подрачја на воспитно-образовната дејност.

• Непосредно следење на програмираните содржини и активности во воспитно - образовната работа на училиштето.

• Педагошки и дидактичко - методски консултации со наставниците за наставата и консултации со учениците и нивните родители.

• Истражувачки проекти и акциони училишни истражувања, како и анализирање и проучување на значајни проблеми и прашања во училиштето.

• Советодавно - консултативна и инструктивна помош на наставниците, учениците и родителите, со цел поуспешно остварување на целите на воспитно - образовната работа.

• Програмирање, организирање и иновирање на сопственото и стручното усовршување на наставниот кадар во училиштето.

Ефикасно организирање на целокупната воспитно - образовна работа во училиштето;

Прилагодување на наставата на индивидуалните потреби и способности на учениците.

**II. ПРИОРИТЕТНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ**

-Учество во работата на проектот,,Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем,, - ,,Интегрирано планирање,,

-Учество во проектот за ,,Меѓуетничка интеграција во образованието – МИО,,

-Учество во работата на проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,,

-Проект „Училиште без насилство—намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата,

-Проект ,,Училишни градини-училница на иднината,,

**III. РАБОТНИ ЗАДАЧИ ВО КОНТИНУИТЕТ**

Во оваа учебна година како континуитет од претходната, психологот ќе ги реализира следните задачи:

Согласно Законот за основно образование – (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) , Став V, Член 59, 60, 61, 62, 63, 64 стручниот работник е обврзан да земе - Учество во комисијата за прием на деца во прво одделение.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРИЕМ ЗА ДЕЦАТА ВО I ОДД.**

| Ред. број | Содржина на работата | Ресурси | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Превземање на податоците за идните првачиња од списоците на МВР | списоци од МВР | Директор, педагог | април |
| **2** | Разгледување и средување на добиените податоци | списоци од МВР | Педагог, одд. Наставници | април |
| **3** | Подготовка на соопштенија за започнување на приемот на децата во прво одделение | | Педагог | април |
| **4** | Подготовка на списоци – формирање групи за прием на децата | списоци | Педагог, одд. Наставници | април |
| **5** | Подготовка на покани за родителите | списоци | Педагог, ученици одд. наставници, | април |
| **6** | Подготовка на протоколи, прашалници, анкети за работа на комисијата | протоколи, анкети | Педагог, одд. Наставници | април |
| **7** | Учество во комисијата за прием на децата во I одд. | протоколи, анкети | Педагог ,Одд. Наставници | мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8** | Изготвување списоци на идните првачиња | протоколи, анкети | педагог | мај |
| **9** | Евидентирање на деца кои се во списокот но не се јавиле на приемот | списоци | педагог | мај |
| **10** | Изготвување извештај и записник од работата на комисијата | списоци | педагог | мај |
| **11** | Формирање паралелки | списоци | педагог | мај - јуни |

2. Перманентна соработка со наставниците од I, II и III одделение, вклучени во описното оценување. Помош при давање на мислење за социјализацискиот аспект на личноста на учениците.

**3.** Професионално информирање и ориентирање

За правилен избор на идното занимање на учениците ќе се води разговор со учениците од деветто одделение за нивните професионални интереси и желби, а за тоа ќе се води разговор и со нивните одделенски раководители.

Освен тоа со учениците ќе бидат разгледани предавања, разни стручни и пропагандни материјали од средните училишта, разгледување Конкурсот за упис во државните средни училишта, приватните колеџи и др.

Согласно Законот за основно образование – (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) , Член 47, стручниот работник е обврзан да земе учество во реализирање на -

**ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Содржина на работата | Ресурси | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Анкета со учениците | анкетни листови | Ученици | март |
| Посета од страна на средни училишта и презентација пред учениците | пропаганден материјал за средни училишта, материјал за презентација | претставници од средни училишта, професори, ученици | март - април |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Разгледување на конкурсот за запишување во средно училиште | конкурс | Педагог Ученици, родители одд. Наставни ци | април |
| Примена на ДАТ серија за проф. ориентација | тестови, анализа, извештај | ученици одд. Раководители | април – мај |
| Презентација на добиените резултати – интервју со учениците | тестови, анализа | ученици, родители, одд. Раководители | април – мај |
| Разговор со учениците | конкурс за запишување во средно, пропаганден материјал | Педагог, ученици | мај |

Доколку постојат можности ќе се организира посета од страна на учениците напоедини средни училишта, или да се обезбедат предавачи кои ќе ги запознаат учениците со разни струки и занимања. Ќе се организира и посета на Саемот за образование каде се презентираа средните училишта од РСМакедонија.

Следење на уписот на учениците во средните училишта преку повратна информација од средните училишта каде се запишани нашите ученици.

**I.ТЕКОВНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ**

Во тековни работни задачи ќе бидат наведени содржини и активности по програмски подрачја кои се од тековен карактер ,а кои подетално ќе бидат планирани со Месечните оперативни планирања.

***I. Програмско подрачје***

***Планирање, програмирање и организирање на воспитно - образовната работа во училиштето***

| | Програмска содржина | Време на реализација | Соработници |
|---|---|---|---|
| **1** | Изготвување Годишна програма за работата на психологот | август | |
| **2** | Учество во изготвување Годишна програма за работата на училиштето | август | директор, педагог, наставници |
| **3** | Изготвување на месечни (оперативни) програми за работа со конкретизирани содржини и активности | тековно | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4** | Формирање на паралелки за прво одделение | август | директор, педагог, наставници |
| **5** | Распоредување на новодојдени ученици во соодветни паралелки | август | директор, педагог, наставници |
| **6** | Запознавање со учениците кои имаат некој вид потешкотии кои влијаат врз однесувањето и постигнувањето послаб успех во учењето | тековно | директор, педагог, наставници |
| **7** | Стручна помош при планирање, организација на наставата по задолжителните, изборните и предмети , додатна и дополнителна настава. | тековно | директор, педагог, наставници |
| **8** | Соработка со Министерство за труд и социјална политика (за ажуирирање на образовен додаток) | тековно | Педагог, Социјални работници и одговорни лица од МТСП |

***II. Програмско подрачје***

***Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето***

| | **Програмска содржина** | **Време на реализација** | **Соработници** |
|---|---|---|---|
| **1** | Непосредно следење на реализацијата на наставниот процес преку посета на часови и изготвување протоколи | тековно | директор,педагог, наставници |
| **2** | Следење на процесот на адаптација на учениците од I одд. | I полугодие | директор,педагог, наставници |
| **3** | Следење на процесот на преминот од одделенска настава во VI одд. | I полугодие | директор,педагог, наставници |
| **4** | Следење на организација и реализација на воннаставните активности (СУА, екскурзии, работа на ученичките организации и др.) | тековно | директор,педагог, наставници |
| **5** | Следење на работата на стручните активи во училиштето<br>- консултации со одговорните наставници за работата на стручните активи во училиштето. | тековно | директор,педагог, наставници |
| **6** | Следење на водење на педагошката евиденција и документација во училиштето | тековно | директор,педагог, наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7** | Следење на успехот и редовноста на учениците | тековно | директор,педагог, наставници |
| **8** | Следење на ефикасноста на организацијата на работа во училиштето (распоредот на часови, работа во смени, содржини и подготовки на состаноци и др, стручни средби во училиштето). | тековно | директор,педагог, наставници |
| **9** | Следње на реализација на активностите на одделенскиот час | тековно | директор,педагог, одд.раковод. |
| **10** | Следење на интерното и екстерното стручно усовршување на наставниот кадар во училиштето<br>- Проучување, вреднување и унапредување на сопствената работа (планирање, програмирање, евидентирање и документирање.) | тековно | Директор,педагог, наставници<br>др. соработници |

***III. Програмско подрачје:***

***Советодавно - косултативна работа со ученици, наставници и родители***

| | **Програмска содржина** | **Време на реализација** | **Соработници** |
|---|---|---|---|
| **1** | Инструктивно-консултативна работа со наставниците при планирање и подготовка на наставата. | август септември | Педагог, наставници |
| **2** | Соработка со наставниците во избор и примена на ефикасни форми, методи, средства, постапки во наставата и др.воспитно - образовни подрачја. | тековно | Педагог, наставници |
| Совладување и усовршување на основните елементи од кошарката, како и запознавање со основните правила и подобрување на моторичките способности | Да се совлада увежба и усврши додавањето и фаќањето на топката во место и во движење;<br>Да се совлада увежба и усврши водењето на топката ( дриблинг )<br>Да се совлада увежба и усврши техниката на шутирање на кош;<br>Да се совлада увежба и усврши индивидуалната одбрана<br>Да се совлада увежба и усврши зонската одбрана<br>Да се совлада увежба и усврши конбинираната одбрана<br>Да се совлада увежба и усврши игра напад ( контранапад )<br>Да се совлада увежба и усврши игра напад против зонска одбрана<br>Да се учествува во игра со примена на правила во кошарката. | Кошарка | Два пати неделно | Септември-Мај | VI - IX | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Совладување, увежбување и усовршување на техника на елементите од ракометот и нивна примена во игра со основните правила и судења | Да се совлада,увежба и усоврши додавањето и фаќањето на топката во место и во движење;<br>Да се совлада, увежба и усоврши водењето на топката ( дриблинг )<br>Да се совлада, увежба и усоврши техниката на шутирање на гол од 6 и 9 метри;<br>Да се совлада, увежба и усоврши техниката на финтирање<br>Да се совлада, увежба и усоврши техниката на блокирање<br>Да се совлада, увежба и усоврши контранападот<br>Да се совлада, увежба и усоврши елементите на голманската техника<br>Да се примени игра на два гола со примена на основната техника,тактика и правилата на ракометот. | Ракомет | Два пати неделно | Септември-Мај | VI - IX | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |
| Совладување и усовршување на техниката на трчање, скокање и фрлање како и подобрување на функционалните, моторичките и основните спортско технички знаења, умеења и навики | Да се совлада и усовршува општата кординација и кординацијата со рацете и нозете;<br>Да се совлада и усоврши техниката на низок и висок старт;<br>Да се совлада и усоврши скоковите во далечина и височина ( развој на скокалност, координација и експлозивност );<br>Да се совлада и усоврши техниката на фрлање ѓуле;<br>Да се развие силата на мускулните групи на горните екстремитети, раменскиот појас и вратот; | Атлетика | Два пати неделно | Септември-Мај | VI - IX | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |

# Прилог 17. Програма за додатна настава

Програмата за додатна настава, наставникот ја изготвува во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози на ученикот. Наставникот ги планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички материјали. Предметните наставници воинашето училиште реализираат додатна настава на седмично ниво во централното училиште во Булачани и во подрачното училиште во Црешево. Одделенските наставници ја планираат додатната настава со најмалку еден час седмично по оние предмети за кои заинтересирани детектираните ученици.

Планирањето на додатна настава на предметните наставници по предмети и паралелки е дадено во следниот табеларен приказ:

| Наставен предмет | предметен наставник | паралелки во кои реализира додатна настава | број на часови седмично | |
|---|---|---|---|---|
| | | | број на часови по училиште | вкупно |
| Македонски јазик | Љупка Богдановска | VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| | | IX $^{а}$ | 1 | |
| | Златка Панчевска | VI$^{а}$, VII$^{а}$ , VIII $^{а}$ | 1 | 1 |
| Англиски јазик | Мирјана Ивановска | I$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| | | VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | |
| | Билјана Оливероска – Трајковска | VI$^{а}$ | 1 | 2 |
| | | I$^{в}$, II$^{в}$, III$^{ва}$, IV$^{в}$ , V$^{а}$ | 1 | |
| | Александра Мирческа | IV$^{а}$ , VI$^{б}$ | 1 | 1 |
| | | I$^{а}$, II$^{ба}$, III$^{б}$, IV$^{б}$ , V$^{б}$ | 1 | |
| Француски јазик | Борјанка Саздова | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$<br>VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Вештини на живеење | | VII$^{б}$ ,IX$^{б}$ | 1 | |
| Математика | Маја Крстеска | VI$^{б}$, VII$^{б}$ VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Физика | | VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |
| Математика | Марија Сотировска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | 2 |
| | | VIII$^{а}$ ,IX$^{а}$ | 1 | |
| Историја | Александра Величковска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$<br>VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Граѓанско образование | | VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ ,VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |

| наставен предмет | предметен наставник | паралелки во кои реализира додатна настава | број на часови седмично | |
|---|---|---|---|---|
| | | | број на часови по училиште | вкупно |
| Географија | Јована Димовска | VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Истражување на родниот крај | | VI$^{ба}$ | 1 | |
| Биологија | Наставник биологија и хемија | VII$^{а}$, VII$^{б}$ ,VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ , VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Хемија | | VIII$^{а}$ , IX$^{а}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |
| Информатика | Маја Станковска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VI$^{б}$, VII$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| Иновации | | IX$^{а}$, IX$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Музичко образование | Виолета Ѓоргиевска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Танци и народни ора | | VII$^{а}$ | 1 | |
| Проекти од музичката уметност | | VIII$^{б}$ | | |
| Ликовно образование | Виолета Божиновска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| Проекти од ликовна уметност | | VIIIa | 1 час, секоја втора седмица | |
| Физичко и здравствено образование | Дејан Тупоски | VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | 2 |
| | | VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |
| | Ненад Рајковчевски | II$^{а}$ IV$^{б\ а}$ IIIa | 1 час, секоја втора седмица | 2 |
| | | II$^{б}$ IIIб V$^{б\ а}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Техничко образование | Фросина Јанакиевска | V$^{аб}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |

| наставен предмет | предметен наставник | паралелки во кои реализира дополнителна настава | број на часови седмично | |
|---|---|---|---|---|
| | | | број на часови по училиште | вкупно |
| Природни науки | Марија Димитрова | V$^{а}$ , V$^{б}$<br>VI$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| Етика на религиите | Даниела Ристеска | VI$^{а}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| | | VI$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Етика | Радица Петковска | VII$^{а}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| | | VII$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |

## ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на додатната настава | -Директор -Стручни соработници -Наставници | -Анализа на состојбата -Стручни материјали од БРО (наст.планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатната настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Следење на реализацијата на додатната настава | -Директор -Стручни соработници | Следење на планирањата -Следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава | -Посета на часови -Евидентен лист за реализација на додатна настава настава -Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на додатната настава -поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Евалуација | -Директор -Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците - Посета на час | -Прашалник за наставниците - Обработка на податоците од увид на часови-пополнети Инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области |

## Прилог 18. Програма за дополнителна настава

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на дополнителна настава во училиштето | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на дополнителната настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на дополнителната настава |
| Следење на реализацијата на дополнителна настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br><br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на дополнителна настава настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава<br><br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици со потешкотии во учењето |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците -Посета на час | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети Инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето |

Секој наставник изработува програма за дополнителна настава по предметот по кој реализира редовна настава. Овие програми во нашето училиште во најголемиот број случаи во предметна настава се планираат на 36, а се реализираат на72 часа заради физичката оддалеченост на паралелките со исти одделенија во централното и основното училиште.

Распоред за дополнителна настава по наставен предмет и наставник, учебна 2023/2024 година е даден во следната табела:

| наставен предмет | предметен наставник | паралелки во кои реализира дополнителна настава | бр. на часови седмично | |
|---|---|---|---|---|
| | | | број на часови по училиште | вкупно |
| Македонски јазик | Љупка Богдановска | VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| | | VIII$^{а}$ | 1 | |
| | Златка Панчевска | VI$^{а}$, VII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | 1 |
| Англиски јазик | Мирјана Ивановска | VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| | | VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | |
| | Билјана Оливероска - Трајковска | I$^{а}$, II$^{а}$, VI$^{а}$ | 1 | 2 |
| | | I$^{в}$, II$^{в}$, III$^{в}$, IV$^{в}$ , V$^{в}$ | 1 | |
| | Александра Мирчевска | III$^{а}$, IV$^{а}$ , V$^{а}$ | 1 | 1 |
| | | I$^{б}$, II$^{б}$, III$^{б}$, IV$^{б}$ , V$^{б}$ | 1 | |
| Француски јазик | Борјанка Саздова | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ ,VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Вештини на живеење | | IX$^{а}$ | 1 | |
| Математика | Маја Крстеска | VI$^{б}$, VII$^{б}$ VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Физика | | VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |
| Математика | Марија Сотировска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | 2 |
| Физика | | VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | |
| Историја | Александра Величковска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ , VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Граѓанско образование | | VIII$^{а}$ , IX$^{а}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |

| наставен предмет | предметен наставник | паралелки во кои реализира дополнителна настава | бр. на часови седмично | |
|---|---|---|---|---|
| | | | број на часови по училиште | вкупно |
| Информатика | Маја Станковска | VI$^{а}$, VII$^{а}$ ,VI$^{б}$, VII$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| Иновации | | IX$^{а}$, IX$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Музичко образование | Виолета Ѓоргиевска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ , VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Танци и народни ора | | VII$^{а}$ , VII$^{б}$ | 1 | |
| Проекти од музичката уметност | | VIII$^{б}$ | | |
| Ликовно образование | Виолета Божиновска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ , VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| Проекти од ликовна уметност | | VIII$^{а}$ | | |
| Физичко и здравствено образование | Дејан Тупоски | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ | 1 | 2 |
| | | VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |
| | Ненад Рајковчевски | I$^{а}$, II$^{а}$ | 1 час, секоја втора седмица | 2 |
| | | I$^{б}$, II$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| | | I$^{в}$, II$^{в}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Техничко образование | Фросина Јанакиевска | VI$^{а}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| | | VI$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Етика | Радица Петковска | VII$^{а}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| | | VII$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |

| наставен предмет | предметен наставник | паралелки во кои реализира дополнителна настава | бр. На часови седмично | |
|---|---|---|---|---|
| | | | број на часови по училиште | вкупно |
| Природни науки | Марија Димитровска | V$^{а}$ , V$^{в}$, | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| | | VI$^{а}$ , VI$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Етика на религиите | Даниела Ристеска | VI$^{а}$ | 1 час, секоја втора седмица | 1 |
| | | VI$^{б}$ | 1 час, секоја втора седмица | |
| Географија | Јована Димовска | VI$^{а}$, VII$^{а}$, VIII$^{а}$ , IX$^{а}$ , VI$^{б}$, VII$^{б}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Истражување на родниот крај | | IX$^{б}$ | 1 | |
| Биологија | Наставник биологија и хемија | VII$^{а}$, VII$^{б}$ , VIII$^{а}$ , IX$^{а}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | 2 |
| Хемија | | VIII$^{а}$ , IX$^{а}$, VIII$^{б}$ , IX$^{б}$ | 1 | |

## ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на додатната настава во училиштето | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатната настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Следење на реализацијата на додатната настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на додатна настава настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на додатната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците -Посета на час | -Прашалник за наставниците -Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области |

# Прилог 19. Програми за вонучилишни активности

**План и програма за планирани екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2023/2024**

Училиштето организира екскурзии, излети и други вонучилишни активностикои всушност се воннаставни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците за одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели. Преку ваквите форми на воспитно-образовна работа на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, а учениците се запознаваат со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември | Дељадровце | I – IXодд. |
| Еднодневен пролетен излет | Мај | Сарај | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | Мај | Кавадарци | III одд. |
| Дводневна екскурзија | Мај | Источна Македонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | септември/октомври | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | мај (по посебно изготвена програма) | Западна Македонија | V одд. |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

## *1.1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

***Место: Манастирски комплекс Дељадровце, Скопје***

**Носители на активностите*:***

- одделенските наставници
- учениците од I – IXодд.

**Воспитно-образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природата, културното наследство и екологијата,
- развивање на различните интереси на учениците
  - во контекст на забавно – рекреативни цели
  - во контекст на социјализациски цели,
  - развивање интерес и грижа за културното наследство, традицијата и обичаите (посета на Дељадровски манастир);
- примена на вештини и ставови во практични ситуации во природната и општествената средина,
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на излетот:** Елена Максимовска, наставник. ментор

**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)

**Следење на реализацијата**:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација :** крај на септември- почеток на октомври.

**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет: атар на Дељадровски манастир

Правци на патување: Булачани – Дељадровце- Булачани

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## 1.2. ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место**: ***Сарај, Скопско***

**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од I – IXодд.

- **Воспитно-образовни цели:** усвојување и проширување на знаења за природните ресурси во опкружувањето;
- развивање на различните интереси на учениците (грижа за природата и практикување на еколошки навики, спортски активности и култура за здраво живеење).
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со капацитетите и односите во природната и општествената средина;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, собирање историски податоци за локалитетот, фотографирање.
**Раководител на излетот:** Елена Максимовска, наставник. ментор
**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.
**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови,најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)
**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација**: **мај.**
**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет – излетничко место Сарај.

Правци на патување: Булачани - Скопје - Сарај

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## 1.3. ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА

**Место**: Кавадарци

**Време на реализација**: мај 2024 г.

**Раководител на екскурзијата:** Теодора Димовска - одделенски наставник

**Носители на активности :**

- одделенските раководители на паралелките од III одделение.
- ученици од III одд

**Воспитно образовни цели**

- Да стекнат знаења за историското минато,историските настани,процеси и личности
- Да го разберат значењето на старите градби и личности од минатото за нашата историја и култура
- Да го разберат функционирањето на стопански објект
- Да се потикнува развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита,
- Да се развива љубопитноста ( да се поставуваат прашања и да се одговара на нив),
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен,
- Да се разберат настаните и појавите во природата( животот покрај река, езеро, во ридски предели) и градење на еколошки навики,
- Да се развиваат способности кај учениците (мисловни способности, разни мануелни способности),
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности.
- Почитување на културните традиции,
- Почитување на знаења и искуства на возрасните,

**Задачи:**

- Да се изучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествниот живот,
- Да се развива интерес за природата и градање на еколошки навики,
- Да се изгради чувство на патриотизам, толеранција и соживот,
- Да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Да се поттикнат и манифестираат позитивните емоции,
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе,
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво ж ивеење.

**Локации за посета и правци на патување**

- **Релација на движење:** Скопје- Стоби-Кавадарци- Неготино-Скопје.

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;

- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Техничка организација**: висококвалитетни , климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и лекар

**Финансирање**: Самофинансирање од страна на родителите

**План на патување**

- Состанок пред училиштето во 7.30 часот,
- Поаѓање во 8.00 часот.
-Патот води кон археолошкиот локалитет Стоби следи посета и разгледување на локалитетот.
-Потоа се пристигнува и разгледува градот Кавадарци.
-Следи посета на куќата на Страшо Пинџур и Винаријата Стоби.
-Подготовки за враќање и пристигнување во Скопје.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (писмени состави, описи, изработка на хамер или плакати)ќе се добијат повратна информации.

### *1.4. ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА –Источна Македонија*

Дводневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на мај. Патувањето започнува од Скопје - Куманово - Кокино - Кратово - Пробиштип – Штип – Радовиш – Струмица – Ново Село – Колешино – Дојран - Гевгелија – Демир Капија – Стоби - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на југоисточиот дел од Република Северна Македонија, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Негување на старите културни вредности, запознавање со историјата на овие простори (музеи, цркви, печатница и локалитетот Стоби),
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од VI одд.

**Следење на реализацијата:**

одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите

- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата..

**Раководител на екскурзијата:** Златка Панчевска-одделенски раководител на VIa одделение

**Одговорни наставници:** Златка Панчевска и Александра Мирчевска - одделенски раководители на VIa и VIб одделение.

**Време на реализација:**

- мај

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации

**План на патувањето:**

- ***1. ден (сл.1)***




слика 1

Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Куманово, со попатна посета на мегалитска опсерваторија Кокино во атарот на општината Старо Нагоричане. Се продолжува кон Кратово, со попатна посета на селото Куклица и земјените пирамидални форми – камени кукли. Во Кратово учениците се запознаваат со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата, кратовските маала, сето тоа со разгледување низ градот. Се продолжива за Пробиштип и посета на Лесновскиот манастир. Потоа со панорамско разгледување низ Струмица и Ново село се продолжува за Колешино и посета на Колешинските водопади. Во вечерните часови се пристигнува во Дојран каде е планирано сместување во хотел, вечера и ноќевање. По желба на учениците може да се организира интерна забава.

- ***2. ден (сл.2)***

Појадок во 8 часот. По појадокот се планира посета на граничниот премин Стар Дојран и едночасовна прошетка покрај езерото. Потоа се заминува на ручек во хотелот, а од таму на враќање кон Скопје низ Демир Капија, попатно се посетува археолошкиот локалитет Стоби (или винаријата Попова кула крај Неготино, доколку локалитетот е затворен за посети во подоцните попладневни часови). Со панорамски разгледувања се продолжува за Скопје, а пристигнувањето пред училиштето е планирано во вечерните часови.



слика 2

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Југоисточна Македонија**

- учениците од VI а одд., одделенски раководител: Златка Панчевска
- учениците од VI б одд., одделенски раководител: Александра Мирчевска

### *1.5. ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Западна Македонија*

Тродневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на месец мај. Патувањето започнува од Булачани - Скопје – Велес – Прилеп – Крушево - Битола – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани - Кичево - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со културата и начинот на живење на луѓето во струшко – охридскиот регион.
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Запознавање со културата на други етнички заедници во Република Северна Македонија (турска, албанска), историски факти поврзани со нив;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и припадниците на други народи кои живеат на територијата на нашата држава;
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од IX одд

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Раководител на екскурзијата:** Александра Величковска- одделенски раководител на IXб одделение

**Одговорни наставници:** одделенските раководители IXа и IXб одделение: Александра Величковска и Виолета Ѓорѓиевска.

**Време на реализација*:***

- Септември/октомври

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови

на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден (сл.3)***

Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес, со попатен посета и пауза на локалитетот Стоби. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Следната дестинација е Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен-куќата на Тоше Проески. Се продолжува за Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и Спомен - собата на Кемал Ататурк во Музејот на Битола. Потоа учениците имаат 1 час слободно време за прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден, хотел во околината на Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат и имаат организирана вечера, диско - забава и ноќевање.




слика 3

- ***2.ден (сл.4)***

Појадок, а потоа посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија со акцент на мултиетничкиот карактер на нејзиното битисување, потоа по течението на реката Дрим кон истекот од Охридското Езеро,

посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера и организирана забава.



слика 4

- ***3. ден (сл. 5)***

Во 8 часот, појадок. Потоа следува претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.



слика 5

**Ученици - учесници во тродневна екскурзија низ Западна Македонија**

учениците од IXа одд, одд. раководител: Александра Величковска
- учениците од IXб одд, одд. раководител: Виолета Ѓорѓиевска

1. **Програма за настава во природа**

**Место:** Охрид

**Одделение:** V одделение

**Образовно – воспитни цели :**

- да се поттикне чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- да се стекнат знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, екпериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- да се запознаат со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- да ги разберат настаните и појавите на животот покрај езеро;
- да се запознаат со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- да се развиваат мисловните и физичките способности кај учениците;
- да се овозможи едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.
- запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини – релјефот (рид, ридче, планина, врв, подножје, страна, поле, рамнина, млади верижни планини, истечни и неистечни води), растителниот и животинскиот свет во овој дел на Западна Македонија; како и запознавање со поблиското и подалечното минато и други настани од историско значење;
- да стекнат и развиваат позативен однос кон зачувување на животната средина;
- да се стекнат и негуваат хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена;
- да се обезбеди правилен психо-физички развој како резултат на позитивното влијание од престојот во здрава природна средина;
- да се развива другарство, меѓусебно почитување и позитивен натпреварувачки дух.
- Да формираат позитивни ставови за спомениците на културата и да стекнуваат навики за посета и правилен однос кон другите споменици;
- Да го развиваат патриотизмот, хуманоста, толеранцијата и да го почитуваат туѓиот труд;
- Ученикот да се оспособува македонскиот стандарден јазик да го користи за воспоставување културен комуникациски однос со опкружувањето
- Да ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Северна Македонија;
- Да стекнат основни сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- Да ја препознаваат и поврзуваат зависноста и поврзаноста на туризмот со минатото, културата и традицијата и да утврдуваат кои облици на туризам би можеле да се развиваат;

- Утврдување на знаењата за ориентација во просторот, ориентација во природата според природни објекти, главни и споредни страни на светот;
- Соработка со останатите делови од татковината и нивна сообраќајна поврзаност;
- Подготвуваат изложба од собраниот материјал;
- Знаат да употребуваат различни извори на знаења, примена на ИКТ во наставата
- Развиваат толеранција кон другите култури, религии и народности;
- Развиваат правилен однос кон тимската работа;
- Развиваат самостојност, трудољубивост, трпеливост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, почитување на туѓиот труд, љубопитност, критичност;
- Развиваат одговорност кон исполнувањето на обврските кои ги прифатил и треба да ги исполни;
- Формираат навики за средување на работниот материјал, прибор, простор;
- Развивање на почит кон познатите и заслужните личности, љубов и негување на нашата богата музичка традиција, негување на нејзините модерни текови, развивање на хуманоста, навиката и желбата да се помогне на другите.

**ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:**

- Изучување на верски и историски објекти во овој крај;
- Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Р. С.Македонија;
- Развивање позитивен однос кон: историските, националните, културните и естетските вредности;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, толеранција и мултикултуризам;
- Запознавање со културата и начинот живот на луѓето во посетените краеви.

**Очекувани ефекти од наставата во природа се следните**:

– Да се поттикне дружењето кај учениците, негувањето и чувањето на природните и културните богатства, како и развивањето на еколошката култура и свест;

– Учениците да ги надградат и прошират своите знаења низ разните форми на учење преку набљудување на природата, водите, планините, животинскиот и растителниот свет;

– Рекреација и забава за учениците низ предвидените спортски, музички и забавни

активности.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**:

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите предвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали,прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридското Езеро, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од Охрид и околината) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**Носители на активностите: :** учениците и одделенските наставници на V-те одделенија:
Va – Снежа Ангеловска и Vб – Биљана Белогаска.

**Раководител на активностите во рамки на наставата во природа**:
Снежа Ангеловска

**Време на реализација и времетраење:** Мај, 4 ноќевања- пет дена.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување согласно нормативот за изведување на настава во природа(опремена училница, простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование, спортски терени), лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите
**План на патувањето**:

***Прв ден:*** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Тетово,Гостивар,с.Вруток (попатно-панорамско набљудување и фотографирање на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од кај што извира реката Вардар-Вруток, Мавровo(разгледување и фотографирање на Мавровското Езеро), посета на манастирот „Св.Јован Бигорски‖ , манастирски комплекс кој се наоѓа на патот помеѓу Гостивар и Дебар во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика во Западна Македонија.Запознавање на учениците со историјата на манастирот.Се продолжува со патување кон градот Струга и попатно застанување во Вевчани ја набљудуваме околината и се поведува разговор за познати и непознати локации, објекти и природни убавини и други впечатливи моменти. Пристигнување во градот Охрид и сместување во хотел. Прошетка и разгледување на непосредната околина. Ручек. Попладневен одмор. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и

размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава во согласност со возраста на учениците. Ноќевање.

***Втор ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. **Посета на заливот на коските и Св.Наум** (разговор и групно фотографирање). Враќање во хотелот и попатна посета на **Билјанини извори**. Пишување на извештаи за истражувањата. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе се дојде во текот на овие посети.Ручек и попладневен одмор. Прошетка низ **чаршијата,црквата Света Софија,Амфитеатарот и спомен куќата на Робевци,** запознавање со старите занаети. Разговор и правење на интервју со занаетчиите.Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Трет ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на **Самоиловата тврдина, Плаошник Св.Канео**. Фотографирање на градот и запознавање со неговите културно-историски карактеристики.Враќање во хотелот. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за посетата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Вечера. Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена.Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Четврт ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на Струга.Посета на спомен куќата на браќата Миладиновци,паркот на поезијата Природно - научен музеј „Никола Незлобински— манастирскиот комплекс „Калишта-. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Цртање според извршеното набљудување. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошеткапокрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Петти ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на хотелот. Враќање преку Битола и посета гробот на Тоше Проески спомен куќата на Тоше Проески. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

## *НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА*

**Македонски јазик**

- 🕮 Изразување и творење: Патуваме и ја запознавме татковината- извори, реки, природни и вештачки езера во Западна Македонија

- 🕮 Историја и легенда за манастирот Св.Јован Бигорски
- 🕮 Говорна и писмена вежба со примена на ИКТ (истражуваме – учиме – пишуваме): Константин и Димитар Миладинов, Природно – научен музеј „Никола Незлобински-
- 🕮 Читање легенди за Охридското Езеро
- 🕮 Говорна и писмена вежба: „Животот и делото на Григор Прличев—
- 🕮 Изработуваме ѕиден весник

**Математика**

- ➢ Решавање занимливи задачи (собирање,одземање,множење и делење)
- ➢ Мерење –мерки за време и должина/повторување
- ➢ Мерење –мерки за време и должина/ текстуални задачи
- ➢ Работа со податоци (столбест,Венов дијаграм,пиктограм,табели и др.)

**Општество**

- 👍 Традициите во Западна Македонија (традиционални јадења,народни носии , поговорки, преданија ,легенди и сл.)
- 👍 Демократскиот живот во Охрид- општина, градоначалник,месна заедница

**Музичко образование**

- ♪ Народно творештво-Народни песни : „На Струга дуќан да имамǁ,„Билјана платно белешеǁ и др.
- ♪ Детско музичко творештво (народни песни и ора, народни инструменти и др.)

**Ликовно образование**

- Сликање на непосредната околина(темпера, гваш, молив, туш, лавиран туш - Жива и нежива природа
- Ликовно изразување по доживување – Вевчански извори; – слободна техника
- Ликовно изразување по доживување-манастирскиот комплекс ,,Калишта,, слободна техника
- Цртање-Народна шара (фута)

**Физичко и здравствено образование**

- ❖ Натпревар во брзо трчање
- ❖ Прескокнување пречки со затрчување
- ❖ Спортски игри,игри без граници

**Техничко образование**

✍ Сообраќај — Патот од Скопје до Охрид

**Работа со компјутери**

🖱 Истражување — пребарување по интернет— Животот и работата на луѓето во Западна Македонија

🖱 Презентации

**Час на одделенска заедница**

- ✓ Работилница : Картички за слободно време
- ✓ Наставни подрачја, теми по предметите и активности: општество, македонски јазик, музичко образование, математика, ликовно образование, физичко и здравственообразование, работа со компјутери, час на одделенска заедница и техничко образование

| **Теми:** | **Наставна содржина** | **Активности** |
|---|---|---|
| Т3:Изразување и творење | Разговор по посета на манастирот Св.Јован Бигорски**,** манастирски комплекс | Вежби и активности за водење на разговор на тема: верски објекти, музеи, споменици |
| Т1.Читање литература и лектири | Читање легенди за Охридското Езеро | Користење дополнителна литература (книги, енциклопедии,зборници и др.) примена на ИКТ |
| Т3:Изразување и творење | Говорна и писмена вежба со примена на ИКТ (истражуваме – учиме – пишуваме): Константин и Димитар Миладинов, Природо – научен музеј Никола Незлобински | Истражување на интернет , вежба со примена на ИКТ |
| Т3:Изразување и творење | Говорна и писмена вежба: Струшки вечери на поезијата – Мостот на поезијата | Писмена вежба- пишување поезија |
| Т1: Нашата татковина Р. С. Македонија | Традициите во Западна Македонија | Набљудување и истражување природните убавини и богатства, изработка на албум и извештаи |
| Т1: Нашата татковина Р. С. Македонија | Демократскиот живот | Општина, градоначалник,месна заедница |
| Т3: Република Северна Македонија во Светот | - Културното наследство на тлото на Република Северна Македонија | Посета на културни и верски објекти или на некое археолошко наоѓалиште |

| | | |
|---|---|---|
| Т3: Република Северна Македонија во Светот | Основни проблеми во светот и Македонија , екологија | Организирање изложба со ученички трудови на тема:<br>Заштита на животната средина. |
| Т3:Изразување и Творење | Македонија – мултикултурна Ризница | Самостојно пишување за настан слушнат од друго лице,извештај |
| Т6:Народно музичко творештво | Фолклор, музички фолклор, | Усвојување на поимот фолклор преку проектна активност:<br>– собирање на разни елементи од фолклорот. |

| Теми: | Наставна содржина | Активности |
|---|---|---|
| Т6:Народно музичко творештво | Фолклор, музички фолклор, народна песна | Усвојување на поимот народна песна преку проектна активност:<br>– собирање на разни видови народни песни од разни краишта. |
| Т1: Цртање | Народна шара (фута) | Фолклорни елементи каде што ќе применува ритам во ликовните творби( предмети од народен фолклор, носии, колани, престилки) |
| Т1: Цртање | Ликовно изразување по доживување – Вевчански извори; – слободна техника<br>Ликовно изразување по доживување-манастирскиот комплекс ,,Калишта,, слободна техника | Цртање по набљудување и доживување |
| Т: Обликување во просторот, Моделирање | Ликовни елементи во градење | Моделирање со глина на низок релјеф со втиснување, гребење и длабење; |
| Т2: Сликање | Ликовни елементи во сликањето – Жива и нежива природа | Сликање комбинација на мали и големи форми , со сликарска техника |
| Т4:Танци и ора | Играње со музика | Играње народни ора со различно темпо и сложеност во чекорите. |
| Т1А:Број и решавање проблеми | Решавање занимливи задачи<br>Мерење –мерки за време и должина/повторување<br>Мерење –мерки за време и должина/ текстуални задачи | Вежби-задачи со математичките операции (собирање,одземање,множење и делење), мерни единици за време и должина |
| Т 2Г:Работа со податоци и решавање Проблеми | Собира, и организира релевантни податоци. | Собира, селектира и организира релевантни податоци (столбест дијаграм, Венов дијаграм, пиктограм, табели и др.) |

| | | |
|---|---|---|
| Т1:Вежби и игри за правилен физички Развој | Утринска гимнастика | Вежби за јакнење, лабавење и истегнување на трупот, карлицата и нозете |
| Т5: Основи на спортски игри | Спортски игри,игри без граници | Народна топка,игри без граници со качување, слегување, провлекување, скокања итн. |
| Т4.Атлетика | Натпревар во брзо трчање Прескокнување пречки со Затрчување | Совладување на техники брзо трчање,скокање,прескокнување Пречки |
| Т.Сообраќај | Собраќајни знаци | Воочување и набљудување на ссообраќајните знаци и прописи |

**КУЌЕН РЕД – РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО**

1. Станување 08.00 часот
2. Утринска гимнастика 08.05 до 08.20
3. Лична хигиена и уредување на спалните 08.20 до 08.50
4. Подготовка за појадок 08.50 до 09.00
5. Појадок 09.00 до 09.30
6. Подготовка за предвидените посети 09.30 до 09.40
7. Во посета на предвидените места и културно историски споменици од 09.40 до 13.30
8. Подготовка за ручек 13.30 до 14.00
9. Ручек 14.00 до 15.00
10. Наставни активности по паралелки 15.00 до 16.40
11. Ужина 16.40 до 17.00
12. Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности 17.00 до 19.30
13. Подготовка за вечера 19.30 до 20.00
14. Вечера 19.00 до 19.30
15. Вечерни содржини 20.30 до 22.00
16. Подготовка за спиење 22.00 до 22.20
17. Повечерје - спиење

● **Напомена:** Во текот на патувањето и престој во хотел во Охрид учениците се осигурани и имаат постојана лекарска придружба.
Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа содржи училница која е опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование на Република Македонија.

**ОБВРСКИ НА РАКОВОДИТЕЛОТ, НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ**:

Раководител на настава во природа е директорот. Бидејќи директорот не е во можност секогаш да присуствува на излет, екскурзија, настава во природа, со решение назначува раководител од редот на наставниците. Присутни се и наставници кои предаваат во паралелките, одговорното лице од избраната туристичка агенција и медицинско лице кое ќе се грижи за здравјето на учениците..

Наставниците се грижат околу сместувањето на учениците во автобусите, редот, дисциплината и уредноста при посета на објектот и за безбедноста на учениците од поаѓањето, па се до враќањето.

Учениците од V одделение ќе бидат навреме писмено информирани околу реализација на настава во природа и цената на чинење по ученик.

Овие активности ќе се реализираат во соработка со Советот на родители(навреме да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични

потреби). Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализација на настава во природа (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 50% од родителите во одделение наставата во природа нема да се реализира.

За време на реализација на наставата во природа учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на наставата во природа и одделенските наставници, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети и објекти, да ги известат насатвниците за појава на здравственили друг проблем и да се движат во група со одделенскиот наставник.

За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето за истите.

**ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Планирана настава во природа во Годишната програма за работа на училиштето е усвоена на Наставнички совет и Совет на општината Гази Баба

1. Запознавање на родителите со реализацијата на настава во природа

   - На првата родителска средба родителите ќе бидат запознаени со програмата за изведување на настава во природа - Охрид - Западна Македонија, да бидат поделени анкетни листови на родителите за добивање на повратна информација за одзивот.

2. На Советот на родители ќе биде формирана комисија од родителите на V одд.и двајца одделенски наставници.

3. Одлука на училишен одбор

4. Наставниците кои предаваат во V одд. имаат планирано во своите годишни програми часови кои ќе се реализираат во тој период - прилог на неделни планирања за V одд.

По добивање на согласност за реализација на настава во природа од БРО, Општината и Советот на родители, програмата ќе се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на туристичка агенција и реализација на настава во природа.

Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на известување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат.

Училиштето ќе ги достави следните Критериуми:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Р. С. Македонија за вршење соодветна туристичка дејност
- Да има успешно реализирање настава во природа, екскурзии (излети) најмалку три години по ред
- Да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патишта и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Да биде најприфатлива цена

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзии согласно правилникот за училишни екскурзии и други слободни активности.

Постапката се спроведуа со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови и тоа три члена од Советот на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализација на настава во природа. Во договорот се содржани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата
- Начинот на плаќање
- Водич, број на наставници (според бројот на ученици кои ја посетуваат наставата во природа, лекар)
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со седиште за секој ученик и навремено ја информира Општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, број на ученици и други лица согласно правилникот за организирање ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализиацијата на настава во природа доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИРАЊЕТО:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансискиот износ на настава во природа.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за настава во природа преку уплаќање на уплатница со одредена сума (преку жиро сметка).

***План за изведување на набљудувања и посети назнаменитости и установи***

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје
- Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на македонската борба
- Библиотека —Другарче‖
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Градски кина
- Изложби
- Снежен град Маврово
- Црква Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции одинтерес за наставата

- пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица
- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум

- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми.Овие посети се планираати реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и тие ученикот:

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:
  - лично обраќање кон други луѓе ;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

Напомена*: Екскурзиите кои се организираат за III,V, VI и IX одделение, односно еднодневната екскурзија до Кавадарци за III одделение, настава во природа за V одделение, дводневна екскурзија за VI одделение, како и тродневната екскурзија за IX одделение , ќе бидат организирани во соработка со партнер училиштето ООУ„ ЊЕГОШ“ Јурумлери-Скопје, општина Гази Баба имплементирани во програмата за МИО и Концепцијата за воннастави активности.

***Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:***

Елизабета Андова - директор
Александра Величковска - одделенски раководител Iхб
Златка Панчевска - одделенски раководител на VIа
Снежа Ангеловска – одделенски раководител на Vа одделение
Биљана Белогаска– одделенски наставник на Vб

## *Програма за ученички посети надвор од училиштето*

| Планирани посети | Цели на изведување | Активности | Реализатор | Учесници ученици | Временска рамка | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на Зоолошка градина | Поврзување на теоријата со практиката | Домашни и диви животни и птици | Одд. наставници | Ученици од I – V одд | октомври | Продлабочени и трајни знаења за животните и птиците во ЗОО |
| Посета на театар | Се запознаваат со театарските уметности | Театар за деца и Младинци - играна или куклена претстава | Одд. наставници | Ученици од I – V одд | ноември | Љубов кон театарската уметност, |
| Посета на културно историски споменици, значајни градби некогаш и денес | Да ги почитува традицијата и културното наследство на својата заедница и на другите заедници во родниот крај | културно историски споменици, значајни градби: Кале, Тумба Маџари | Одд. наставници | Ученици од I – IX одд | април | Запознавање со различноститена луѓето и нивно взаемно почитување |
| Посета на автобуска ста-ница, железничка станица и аеродром | Да ги препознава и именува позначајните објекти во непосредната околина | Сообраќај и видови сообраќај | Одд. наставници | Ученици од I – V одд | мај | Го знае значењето на поважнисообраќајни објекти во градот |
| Посета на етнолошки и природно – научен музеј | Да ги препознава и именува позначајните објекти во непосредната околина | Народни носии, Народни инструменти Жива и нежива природа | Предметни наставници | Ученици од VI - IX одд | април | Проширени, продлабочени итрајни знаења за културните традиции, обичаи, носии и народни инструменти |
| Посета на планетариум | Препознавање и именување на ѕвездите на небото | Ѕвезди и созвездија | Предметни наставници | Ученици од VI - IX одд | мај | Продлабочени и трајни Знаења за планетарниот систем |
| Посета на општината | Да се развива позитивен однос и почитување на различни професии | Работата на општината и градоначалникот | Одд. наставници | Ученици од V одд | април | Проширени знаења за работатана Општината , |
| Посета на Вила Водно - Кабинет на Претседа-телот на РСМ | градење чувство на припадност, позитивен однос и почит кон институциите и симболите на РСМ | Учество во церемонијата за промена на државното знаме, посета на Кабинетот | одговорни наставници | Ученици од IV - IX одд | по договор со Протоколот | Развива чувство на припадност |

## Прилог 20. Програма за реализација на ученички натпревари

***Календар за планирани натпревари во учебната 2023 / 2024 година***

| Предмет/ натпреварувачко подрачје | Одговорен наставник | Опфатени одделенија | Училишен натпревари | Општински натпревар | Регионален натпревар | Државен натпревар | Меѓународен натпревар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Златка Панчевска | VI, VII,VIII, IX | Мај | Октомври, ноември, февруари,март, април и мај | мај | Мај,јуни | февруари |
| Англиски јазик | Мирјана Ивановска | IX | Февруари | | -Март - ElTAM | Февруари ,,Јахја Кемал‖ март-Петта Приватна Гимназија | |
| Француски јазик | Борјанка Саздова | VIII, IX | Февруари | | | април- март | |
| Математика | Марија Сотировска | I – IX | Февруари | Март | март - април | мај | март,Кенгур |
| Историја | Александра Величковска | VI - IX | Март | | Април | | |
| Географија | Јована Димовска | VIII, IX | Март | | Април | | |
| Информатика | Маја Станковска | VI, VII, VIII | Април | | | мај | |
| Биологија | Наставник по биологија и хемија | VII, VIII, IX | Февруари | Март | април | мај | |
| Хемија | | VIII и IX | Февруари | Март | април | мај | |
| Природни науки | Марија Димитрова | IV | Февруари | Март | април | мај | |

| Предмет/ натпреварувачко подрачје | Одговорен наставник | Опфатени одделенија | Училишен натпревари | Општински натпревар | Регионален натпревар | Државен натпревар | Меѓународен натпревар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Физика | Маја Крстеска | IX | | | мај Михајло Пупин | | |
| Хор и Оркестар | Виолета Ѓорѓиевска | по аудиција | | Април, Оркестарски и хорски смотри | | | |
| Ликовно образование | Виолета Божиновска | VI-IX | | Јуни, Ликовна колонија Виниче | | Декември: Флора и Фауна | |
| Физичко и здравствено образование | Дејан Тупоски | IV, V, VI, VII, VIII.IX | септември - Мај Фудбал Кошарка Ракомет | Октомври - Мај Фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг -понг (машки и женски) | | | |
| Физичко образование | Билјана Белогаска | I – III | Октомври | | | | |
| Техничко Образование | Фросина Јанакиевска | V, VI | Октомври | Ноември | Април | Мај | |
| математика за ученици од прв образовен период | Теодора Димовска | I – III | мај | | | | |

# Прилог 21. Програма за унапредување на мултикултурализмот/ интеркуртуларизмот и меѓуетничкатаинтеграција

## Програма за Меѓуетничка интеграција во образованието

| Цели | Активности | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување самоевалуација на реализацијата на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и планирање на активноститеврз основа на резултатите од самоевалуацијата | Планирање на МИО –активности во Годишна програма и самоевалуација за состојбите | Тим за училишна интеграција:<br><br>Директор Елизабета Андова<br>координатор одделенски наставник-ментор Елена Максимовска<br>Членови наставник по историја Александра Величковска<br>одделенски наставник Соња Апостоловска Трајковска<br>Членови/ученици од Ученички парламент | август | - Прашалници<br>- Анкети<br>- Годишна програма за работа на училиштето | - Спроведена самоевалуација на реализацијата на активностите меѓуетничка интеграција во образованието и планирање на активностите врз основа на резултатите од самоевалуацијата<br>- Изготвени акциони планови за интегрирање на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието во Годишната програмаза работа на училиштето |
| Континуирана координацијасо менторите од проектот заради подобро планирањеи реализација на активностите | Состаноци на Тимотза училишна интеграција со одговорниот ментород ПМИО | СИТ, ПМИО - ментор | август–септември | планирања, извештаи | Голем степен на интеракција помеѓу учениците од партнер училиштата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обука и постапката за сертификација на наставници | Состаноци на СИТ План за сертифика- ција, Постапка за сертификација согласно утврдената процедура на ПМИО | СИТ, наставници | август - октомври | портфолија, формулари, потврди | Сертифициран комплетен наставен кадар, согласно утврдените постигнувања во претходните две години, зголемена мотивираност запродолжување на активностите |
| Пренесување на знаењата стекнати на обуката за меѓуетничка интеграција во образованието на наставници - приправници | Дисеминација на активностите на училишно ниво (работилници и состаноци со сите структури на училишт.) | Тимот за училишна интеграција | октомври – ноември | Материјали за обука (прирачници, работни листови) | Обучени училишни капацитети за реализација на меѓуетничка интеграција во образованието |
| Комуникација, планирање и спроведување заеднички активности со партнер училиштето од албански наставенјазик | Продолжување на постоечкото или формирање ново партнерство со други училишта | Тимовите за училишна интеграција на двете училишта | октомври – мај | Договор за партнерство (формулар) | Воспоставени партнерски односисо училиште кое работи на албански наставен јазик |
| Зајакнување на училишните капацитети за реализација на меѓуетничка интеграцијаво образованието | Реализација на самостојни активности: работилници од Образование за животни вештини; активности за демократска партиципација на учениците; | - тим за училишна интеграција; - наставници - ученици -ученичка заедница -тим за поддршка наУЗ | септември – јуни | - прирачниција ОЖВ -програма заработа на тимот за училишна интеграција | Успешно спроведени планираниактивности во училиштето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Координирање на активностите меѓу партнерските училиштата учество на средби за размена на искуства со другите училишта | Реализација на заеднички активности:<br>➢ <u>Редовна настава</u> – настава по некои предмети, истражувачки проекти во рамки на предметите;<br>➢ <u>Воннаставни активности</u> – излети, екскурзии, приредби, проекти-секции, спортски игри; | - тимовите за училишна интеграција на двете училишта<br>- наставници<br>-родители<br>-ученици | ноември – јуни | -акциони планови и -програми заработа<br>-дневни, тематски планирања<br>- правилници | - Подготвеност за соработка иинтеракција<br>- Успешно реализирани активности за меѓуетничка интеграција со партнерско училиште |
| Иницирање активности за вклучување на родителите и Општинатаво активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и коор-динација на реализација | Соработка со родители и Општината | - тим за уч. интеграција;<br>- наставници<br>- ученици<br>- Совет на родители<br>- Уч. одбор | септември – јуни | -акциони планови и -програми заработа<br>- правилници | Активно вклучување и поддршкаво спроведување и промовирањена самостојните и заедничките активности |

## ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ СО ПАРТЕНР УЧИЛИШТАТА ВО РАМКИ НА ОПШТИНАТА

Меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма за работа на училиштата. Училиштето се грижи и дава поддршка на активностите за МИО.

| | Опис на активноста | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Ресурси | Поддршка и следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Долготрајна заедничка активност: | | | Реализација на активности за меѓуетничка интеграција во секојдневната наставна практика и воннаставните активности | Тим ученици<br>Тим<br>наставници<br>Средства и материјали за реализација на спортските активности | Наставници<br>Ученици<br>Родители<br>Директор |
| | **Спроведување спортски активности, игри без граници, спорт и рекреација...** | | | | | |
| | **Учесници:** учествуваат мешани групи | | | | | |
| | ученици од аспект на пол, етничка | | | | | |
| | припадност и училиште.<br>**(од IV до IX одд.**)<br><br>**Одговорни наставници (препорака):**<br>Наставници физичко и здравствено бразование | | | | | |
| | **Услови за работа:**<br>Со физичко присуство на мешани тимови ученици кои ќе учествуваат во спортските активности на однапред определен терен.<br>- **Активности:**<br>- Правење план на активноста во консултација со одговорните наставници и учениците во зависностод условите за работа<br>- Формирање мешани тимови ученицикои имаат афинитет кон одреден спорт<br>- посета на спортски натпревари (фудбал, кошарка, одбојка...)<br>- реализација на спортски натпревари со тимови кои се со мешан етнички состав на ученици од двете училишта<br>- прошетка низ убавините на Скопска Црна Гора | Училиштето | Учебна 2023/24 Година | | | |

## Глобален план за реализација на заеднички активности со партнер училиштето за меѓуетничка интеграција во образованието

| глобална активност | конкретна активност | очекуван резултат/ продукт | Предуслови | реализатори | термин |
|---|---|---|---|---|---|
| **Професионална соработка меѓу наставниците** | Средби на нивоа на активи од двете училишта, посебно по периоди | - размена на стручни мислења и идеи пред и по реализација на предвидени активности | - договорени средби меѓу одговорните наставници и членови од СИТ-овите | - активи на одделенски наставници од I, II, III одд;<br>- активи на одделенски наставници од IVи Vодд.;<br>- активи на предметни наставници од VI и VII одд.;<br>активи на предметни наставници од VIII(9) и VIII одд.<br>- евалуатори од СИТ - вите | ноември – мај |
| **Краткотрајни воннаставни активности** | Заедничка посета на Зоолошка градина - Скопје<br><br>( за учениците од I, II, III одд) | - запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности<br>- изработка на двојазични нагледни средства, сликовници и сл.<br>- понатамошно одржување на контактите меѓу учениците и наставниците | - договорена средба на одговорните наставници за реализација на активностите и членови од СИТ-овите<br>- договорена заедничка стратегија за реализација на активностите, избрани работилници кои ќе се реализираат во рамки на средбата;<br>- планирање и обезбедување на материјално техничка поддршка | - по двајца наставници од прво до трето одд. од двете училишта.<br>- по 20 ученици од секое училиште | март – април |

| глобална активност | конкретна активност | очекуван резултат/ продукт | Предуслови | реализатори | термин |
|---|---|---|---|---|---|
| **Краткотрајни воннаставни активности** | Работилница за изработка на тријазични честитки по повод 8 Март-Ден на жените<br><br>( за учениците од IVи Vодд) | - запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности<br>- изработка на тријазични осмомартовски честитки<br>- понатамошно одржување на контактите меѓу учениците и наставниците | - договорена средба на одговорните наставници за реализација на активностите и членови од СИТ-овите<br>- договорена заедничка стратегија за реализација на активностите, избрани техники и материјали за изработка;<br>- планирање и обезбедување на материјално техничка поддршка | - по двајца наставници од четврто и петто одделение од двете училишта<br><br>- 24 ученици (по 12 од секое училиште) | Февруари март |
| | „„Во здраво тело - здрав дух“ – заедничка посета/реализација на есенски и пролетен излет<br><br>( за учениците од I до IX одд.) | - запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности<br>- реализација на спортски натпревa-рувачки активности меѓу етнички балансирани тимови<br>- изработка на двојазични нагледни средства на тема „Во здраво тело - здрав дух“ - понатамошно одржување на контактите меѓу учениците и наставниците | - договорена средба на одговорните наставници за реализација на активностите и членови од СИТ-овите<br>- договорена заедничка стратегија за реализација на активностите, избрани спртски игри кои ќе се реализираат во рамки на активностите;<br>- планирање и обезбедување на материјално техничка поддршка | - сите наставници и ученици од секое училиште<br>- по 20 ученици од секое училиште | септември - мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Краткотрајни воннаставни активности** | „<br>„Откривање на убавините на Македонија и историските знаменитости“<br>-Задолжителни екскурзии<br>( за учениците од III, V, VI и IX одд.) | -запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности<br>- реализација на спортски натпрева-рувачки активности меѓу етнички балансирани тимови<br>- изработка на двојазичен албум на тема „Откривање на убавините на Македонија и историските знаменитости“ | - договорена средба на одговорните наставници за реализација на активностите и членови од СИТ-овите<br>- договорена заедничка стратегија за реализација на активностите, избрани спртски игри кои ќе се реализираат во рамки на активностите;<br>- планирање и обезбедување на материјално техничка поддршка | наставници и ученици од III, V, VI и IX одд. | Септември – мај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Краткотрајни воннаставни активности** | „ The stars are the same for all“<br>- посета на Планетариум<br><br>( за учениците од: V до IX одд.) | - запознавање на учениците и успешна реализација на предвидените активности<br>- запознавање со основни елемнти на cosвездието<br>- есеи на тема „Ѕвездите се исти за сите“<br>- понатамошно одржување на контактите меѓу учениците и наставниците | - договорена средба на одговорните наставници за реализација на активностите и членови од СИТ-овите<br>- договорена заедничка стратегија за реализација на активностите<br>- планирање и обезбедување на материјално техничка поддршка | - двајца наставници од V до IX одд<br><br>- 30 ученици- по 3 ученика од секое одделение (по 15 од секое училиште) | Октомври-мај |

***Поврзување со наставата:***

| Реализатор | Предмет | Содржина | одделение | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Оливера Т Столевска<br>Лила Стојковска | животни вештини | Работилница III-7-1 ,,Деца со најубави имиња,, | прво | ноември |
| | | Работилница. III – 8 – 1 ,,Да го запознаеме светот,, | | јануари |
| | | Работилница III- 3.3 Помогни ми да го нацртам цртежот | | март |
| Сунчица Стојковска<br>Соња А Трајковска | животни вештини | Работилница II – 2.1 Моите другари | второ | ноември |
| | | Работилница II – 4.1 Помагам дома,помагам во училиште | | декември |
| | | Работилница III – 6.1 Правила на групата | | март |
| Теодора Димовска<br>Оливера Јосифовска | животни вештини | Работилница III – 7 – 1 ,,Деца со најубави имиња,, | трето | октомври |
| | | Работилница II -3.1 Зборување зад грб | | декември |
| | | раб. III – 7 – 2 ,,Колку знам за Македонија,, | | февруари |
| Весна Јованова | животни вештини | Градење позитивен однос кон својата земја<br>раб. III – 7 – 1 ,,Деца со најубави имиња,, | трето четврто | октомври |
| | | раб. III – 8 – 2 ,,Претстави ја Македонија | | декември |
| | | раб. III – 3 – 2 ,,Од зборови до реченици | | април |
| Билјана Антанасова<br>Елена Максимовска | животни вештини | раб. III – 8 – 2 ,,Претстави ја Македонија,, | четврто | декември |
| | | раб. III – 2 – 1 ,,Со кафеави очи или без,, | | февруари |
| | | раб. III – 3 – 2 ,,Од зборови до реченици,, | | април |
| Снежа Ангеловска<br>Билјана Белогаска | Животни вештини | Работилница III – 2.1 Цвеќе на пријателството | петто | ноември |
| | | Работилница III – 5.2 Лавот и глушецот | | декември |
| | | Работилница III – 1.2 Права и одговорности | | февруари |

| реализатор | Предмет | Содржина | одделение | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Сања Костовиќ Николовска | животни вештини | Градење позитивен однос кон својата земја раб. III – 7 – 1 ,,Деца со најубави имиња,, | прво | октомври |
| | | раб. III – 7 – 2 ,,Колку знам за Македонија,, | второ | февруари |
| | | раб. III – 8 – 1 ,,Да го запознаеме светот,, | | декември |
| Александра Величковска | Историја и граѓанско образование | Т1.НС - ,,Појава на исламот,, | седмо | септември |
| | | Т7. НС - ,,Животот и културата во Македонија од 15-18 век,, | седмо осмо | Март-јуни |
| | | Т4. НС - ,,Религијата во општеството,, | | Февруари - март |
| Љупка Богдановска Златка Панчевска | одделенски час | Тема: Јас и другите. Општествени односи; Содржина: Градење чувство за општоцивилизациска припадност; | деветто | септември |
| | | Тема: Јас и другите. Општествени односи; Содржина: Познавање на структурата на групата | | ноември |
| | | Тема: Јас и другите. Општествени односи; Содржина: Познавање на базичните човекови права | | Декември |
| Јована Димовска Маја Крстеска | одделенски час | ОЖВ - ,,Извор на конфликтите,, | шесто | декември |
| | | ОЖВ - ,,Избегнување, спротивставување, или...,, | | јануари |
| | | ОЖВ - ,,Во согласност со уставот или не.,, | | Февруари |
| Билјана Оливероска Трајкоска | Англиски јазик | Тема –Празници - ,,Празнување на Велигден во различни земји,, | петто | април |
| | | ,,Опишување на традиционална облека кај различни националности,, | второ | декември |
| | | ,,Претставување на личности, стереотипи,, | четврто | октомври |
| Виолета Ѓорѓиевска | музичко образование / танци и народни ора | Народни инструменти | осмо | декември |
| | | Народни носии | | февруари |
| | | Народни ора | | март - мај |

| Реализатор | Предмет | Содржина | одделение | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Борјанка Саздова<br><br>Наставник по<br><br>биологија и хемија | одделенски час | Тема: Јас и другите. Општествени односи;<br>Содржина: Познавање на базичните човекови права;<br>Работилница: ПРАВИЛА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ ВО СВЕТОТ | осмо | ноември |
| | | Тема: Јас - личен развој.. Содржина: Градење самодоверба Работилница: ПОГОДИ КОЈ СУМ! | | септември |
| | | Тема:Јас и другите. Општествени односи; Содржина: Градење позитивен однос кон својата земја; Работилница: Македонија | | декември |

Координатор на тимот

Елена Максимовска

# Прилог 22. Проекти што се реализираат во основното училиште

- **Проект за имплементација на еколошката едукација во македонскиот образовен систем - поддржан од Здружение на граѓани ОХО, МОН и БРО**

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

а) Подигнување на степенот на еколошките активности во училиштето;

б) Вклучување на теми од екологија и животна средина во наставни програми по соодветни предмети;

в) Развој на нови медиумски производи за учество на учениците во процесот на еколошкото образование.

Главна цел на проектот е успешно спорведување на теоријата во дневната пракса при работа на воспитно-образовните институции со што би се влијаело на подигање на еколошката свест кај сегашните и идните генерации, на одржлив еколошки и финансиски развој и заштеди не само за градинките и училиштата, туку и на сите вклучени како што се општините, Министерството за образование и поширокатa јавност. За успешна реализација на Програмата која доведува до конкретни и мерливи резултати потребна е соработка и инволвирање на сите институции, невладини организации, медиуми и поединци кои се вклучени во воспитно- образовниот процес.

- **Проект за меѓуетничка интеграција на образованието - поддржан од општина Гази Баба, МОН и БРО**

Основна цел на проектот е постигнувањето и одржувањето на меѓуетничка интеграција во образованието. Активности кои се плаанираат и реализираат се во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

- **Проект „Градиме заедничка иднина – Денови на МИО во Општина Гази Баба“**

Проектот е финансиран во рамките на Грантовите за заеднички активности – Градиме мостови, организирани од МОН и ОБСЕ, а се реализира со поддршка општината Гази Баба. Главна цел на проектот е да се сплотат учениците од сите 11 основни училишта во општина „Гази Баба-, да работат заедно и да соработуваат, да се запознаат подобро и да негуваат взаемна почит едни кон други.

- П**рограма за образование „УЧИЛИШТА НА 21 ВЕК“**

„Училишта на 21 век— е амбициозна тригодишна програма за образование вредна 10 милиони фунти, која е дизајнирана и спроведена од Британскиот совет и финансирана од владата на Обединетото Кралство.

Спроведувана во партнерство со релевантни образовни институции во секоја земја, програмата има за цел да им овозможи на еден милион ученици од Западен Балкан на возраст од 10-15 години да стекнат вештини за критичко размислување и решавање проблеми. Покрај учењето вештини за критичко размислување и решавање проблеми, децата ќе научат и практични вештини за програмирање и ќе имаат можност да ги практикуваат своите вештини преку физички компјутери**.**

Како дел од програмата, во нашето училиште е обучен директорот и дел од наставниот кадар (четворица наставници) кои потоа извршија дисеминација со заинтересираните колеги за оваа програма. Исто така нашето училиште е снабдено со 30 micro:bit уреди – џебни компјутери на кои децата можат да програмираат и да ги користат за различни наставни предмети и за решавање на секојдневни проблеми. Тоа ќе им овозможи на учениците да учат на забавен, интерактивен и иновативен начин. Наставниците во своите дневни подготовки ќе обрнат внимание да испланират активности со кои кај учениците ќе развиваат една или повеќе компоненти на критичко мислење и ќе поучуваат вештини за решавање проблеми.

- **Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**

Овој проект има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес. Проектот предвидува целта да се постигне преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активности треба да се организираат во текот на целата учебна 2021-2022 година. Активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др..

- **Проект „Училишни градини – училница од иднината“**

Проектот се реализира во соработка на активистите на Slow Food Vodno.

Едукативни цели на на проектот се:

- ширење на агроеколошки принципи и практики;
- создавање на зеленчукови градини кои ги изразуваат вредностите на добро,чисто и правично;
- одговорност за внимателно и рационално користење на природните ресурси како водата и почвата;
- отпадот треба да се гледа како потенцијален ресурс кој може повторно да се искористи и да не се отстранува следејќи го примерот на затворен циклус во природата;
- промовирање на локални и традиционални производи на регионот;

- пренесување на мудроста од постари на помлади;
- развивање на интердисциплинарни активности во врска со храната ,културата и животната средина .

- **ПРОГРАМА: Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата**

Програмата има за цел зголемување на свеста за насилството и за неговото спречување, како и за спроведување на законите за борба против насилството во секојдневниот живот. Примена на стратегии за справување со насилство во училиштата.

- **Проект „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта**“

Општи цели на проектот се ученикот:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок—;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата; - да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може дасе спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

- **Проект „Отворен ден за граѓанско образование“**

Со цел зајакнување на демократската клима во училиштето, ќе се спроведе **Отворен ден за граѓанско образование** чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со поширокатa заедница.

***Цели на отворениот ден:***

- Подигнување на значењето на предметот Граѓанско образование;
- Поттикнување на учениците да размислуваат за примена на она што го учат, во секојдневниот живот;

- Практикување на демократското однесување на учениците преку спроведување или промовирање на конкретни акции за позитивна промена во средината.

***Долгорочни резултати:***

- Учениците се чувствуваат пријатно во училиште, чувствуваат дека се слушнати и нивните идеи се вреднувани;
- Чувството на припадност кон училиштето ( како заедница ) се зголемува;
- Се подобрува мотивацијата за учење и училишниот успех.

- **Проект „Биди фер, правилно фрлај смет“**

Основна цел на поектот „Биди Фер, правилно фрлај смет“ е (преку креативни работилници, истражување и пишување на текстови за фрлање на сметот во Општината), кај учениците во сите основни училишта во Општина Гази Баба да се развие свесност за правилно фрлање и селекција на сметот.

Преку целите на проектот се влијае на зголемување на свеста кај учениците за јавната хигиена, со практични работилници и нивно активно вклучување во пишување на текстови, видеа, слики, пораки, споделување информации и објави за активности поврзани со јавната чистота, за да им се сврти вниманието на нивните соученици и сите други деца, за важноста на одржување на јавната хигиена и чистотата на средината каде што учат, играат, живеат, но на еден интересен начин, во комуникација со новинарите.

# Прилог 23. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

## АКЦИСКИ ПЛАН НА ТИМОТ ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ И УЧЕНИКОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| Реден бр. | Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Планиран број часови за активноста | Одговорност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување акционен план на училиштето | Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците | Август | 6 часа | Директор<br>Тим за поддршка |
| 2 | Обука на тимот наставници од предметна и одделенска настава и стручна служба | Зајакнати капацитети на наставниците од предметна настава за спроведување модели на ученичко учество и заштита на детските права во рамки на училиштето | Август | 5 часа | Директор<br>Тим за поддршка |
| 3 | Информирање за улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на останатите субјекти во училиштето | Обезбеден сеопфатен училишен приод за демократска партиципација на учениците преку:<br>Мотивирање на поголем број класни раководители за активно учество во спроведување на процедурите.<br>Стекната поддршка на претставници на Советот на родителите<br>Информирани ученици | Септември | 1 час<br>1 час<br>1 час | Директор<br>Тим за поддршка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Спроведување на процедурата за избор на претседател во одделенските заедници | Формирани тела со ученици од одделенскитезаедници согласно демократските процедури | 4 часа | Тимот одговорен за поддршка и сите одделенски наставници и класни раководители од прво до деветто одделение |
| 8 | Спроведување на процедура за избор на ученички парламент | Формиран ученички парламент и избраникоординатори и координаторно тело на ученичкиот парламент | 5 часа | Директор<br>Тим за поддршка |
| 9 | Презентација на искуства и модели за работа на ученички парламент | Правилно разбрана улогата на ученичкиотпарламент | 2 часа | Тим за поддршка |
| | Презентација на искуства и модели за работа на ученик правобранител | Конкретни насоки за работата на ученикотправобранител и неговите заменици (објаснување на процедурата) | 3 часа | Тим за поддршка |
| 12 | Формирање Комисија за евалуација на претставки и пријави | Правилно канализирање на работата наУченикот правобранител и соодветно процесуирање на пријавите | 2 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |
| 13 | Работилница 1 „Имам право да ги знам моите права- | Запознаени ученици со содржината и значењето на Конвенцијата за права на детето, прилагодени кон соодветната возрастна учениците | 4 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |
| 14 | Работилница 2<br>„Моја Одлука Твоја | Формира и искажува став и мислење; носиодлуки во врска со различни прашања | 4 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | одлука— | | | | |
| 15 | Работилница 3<br>Интеркултурно образование | Осознавање дека учениците се деца од различен бекгроунд кои припаѓаат во иста група | Декември | 3 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |
| 16 | Работилница 4<br>„Превземање акција во училиште— | Применуваат промени од заеднички интерес во група и да практикуваат демократска партиципација | Март | 3 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |
| 17 | Дебата 1<br>*Јас во целост ги уживам моите права* | Водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација | Ноември | 3 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |
| 18. | Дебата 2<br>*Дали можеш да го замислиш своето секојдневие без интернет?* | Применуваат правила со кои се одвива дебата помеѓу најмалку две спротивни страни,со аргументи за почитување и толеранција | Мај | 3 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Дебата 3<br>Учениците треба да учествуваат во формирање на оценката | Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за оценувањето | Мај | 3 часа | Тим за поддршка<br>Наставници |
| 21. | Состаноци со одделенски заедници<br><br>Состаноци со ученички парламент<br><br>Состаноци со ученик правобранител<br><br>Состаноци на тимот и менторска поддршка на наставници | Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br><br>Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки<br><br>Промовира, дава, поддршка и заштита на учениците<br><br>Поддршка на капацитетите на наставниците за спроведување акции во одделенската заедница<br><br>Поддршка во спроведување работилници и дебати во одделенските заедници | Октомври<br>мај<br>Ноември<br>мај<br>Декември<br>мај<br><br><br><br><br>Август<br>јуни | 5 часа<br><br><br><br><br><br><br><br>5 часа<br><br>5 часа<br><br>5 часа | Тим за поддршка<br>Наставници<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Директор<br>Тим за поддршка |

**Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето**

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструменти и техники кои се користат | Временска рамка | Индикатори на успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се идентификуват учениците со посебни образовни потреби/ потешкоти во учењето | - формирање на тим за соработка, - одредување на временски период за соработка со наставници, - одредување на начин и временски период за соработка со родители | - ученици, - стручни соработници (психолог) - наставници (одд.раководител , други наставници), - родители, -стручни лица од други институции, - директор | Тестови за општи интелектуални способности, - Проективни техники, -Стручна литература, -Наставни средства и помагала | континуирано во текот на целата учебна година | - формиран е тимот за соработка - откриени се учениците со посебни потреби, |
| Да се открие проблемот кај конкретен ученик | одредување на начин и временски период за соработка со родители - одредување на начин и временска рамка за соработка со други институции, - водење на ученичко досие, - одредување на протокол на работадители, | - ученици, - стручни соработници (психолог) - наставници (одд.раководител , други наставници), - родители, -стручни лица од други институции, - директор | Тестови за општи интелектуални способности, - Проективни техники, -Стручна литература, -Наставни средства и помагала | континуирано во текот на целата учебна година | откриени се проблемите кај учениците, - остварена е соработка со сите вклучени субјекти , - користени се планираните инструменти , техники, наставни сред-ства и пома-гала, докумен-тирана е работата , водено е ученичко досие |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се постигне соодветен успех кај ученикот | - следење на протоколот за работа,<br>- одредување на методи на работа,<br>- континуирано соработување со сите вклучени субјекти,<br>- редовно изведување на сите претходни активности планирани за работа со конкретниот ученик,<br>- проверување на ученикот | - ученик,<br>- наставници,<br>- стручни соработници, | - наставни средства и помагала | континуирано, додека има потреба | - вклучени се сите субјекти,<br>- изведени се планираните активности,<br>- ученикот е проверен со соодветни методи, - информирани се родителите. |

Тим за поддршка,

Елизабета Синделиева - Психолог.
Марина Миткова -Педагог
Ивона Величковска -Дефектолог
Александра Величковска -предметен наставник

# Прилог 24. План за професионална ориентација на учениците

## ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | РЕСУРСИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се формира тим за професионална информација и ориентација на учениците | Формирање тим за професионална информација и ориентација на учениците | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | План и програма за работа | Август | Навремено и правилно образовно и кариерно информирање, советување и насочување на учениците |
| Запознавање на учениците со одредени струки и занимања<br>Остварување контакти и соработка со бизнис секторот од локалната заедница | Избор на наставни содржини преку кои ќе се запознаваат учениците со одредени занимања<br>Предавања од родители<br>Организирани посети на компании од во локалната заедница | Наставници<br>Родители<br>Стручни лица со одредени занимања | Ангажирани лица со одредени занимања<br>Наставни содржини | Во тек на учебната година | Информирани ученици со одредени струки и занимања |
| Учениците да ги откриваат сопствените интереси и желби за продолжување на образованието | Изработка на литературни состави и ликовни творби на тема — Моето идно занимање- | Наставници | Писмени состави<br>Ликовни твобри | Во тек на учебната година | Откриени интереси и желби кај учениците за понатамошно образование |
| Запознавање со информираноста, интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието | Спроведување анкета за професионална информираност и ориентираност на учениците | Стручни соработници | Анкети<br>Записници<br>Извештаи | Март | Добиени податоци за професионалната информираност и ориентираност на учениците за запишување во средно образование |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се запознаат учениците<br>со условите и критеирумите за упис во средно образование<br>Да се посетат отворени денови на средни училишта, кариерни и образовни саеми | Организирање презентации од државните и приватните средни училишта од градот<br>Посета на отворени денови на средни училишта<br>Посета на кариерни и образовни саеми | Одделенски раководители<br>Стручни соработници | Конкурс за упис во средно образование<br>Стручни лица<br>Презентации<br>Флаери | Во тек на второто полугодие | Учениците се запознати со критериумите за упис во средните училишта, како и со одредени занимања и струки |
| Информирање на родителите со критеирумите за упис во средно образование | Советодавно консултативни средби со родителите | Одделенски раководители<br>Стручни соработници<br>. | Конкурс за упис во средно образование | Април<br>Мај | Информирани родители со критериумите за упис во средно образование |
| Да им се помогне на учениците при правилен избор на училиште во кое ќе го продолжат образованието<br>преку индивидуални и групни разговори | Примена на тестови за општи и специфични способности | Наставници<br>Стручни соработници | Психолошки мерни инструменти<br>(тестови на општи интелектуални способности) | Март<br>Април | Учениците направиле правилен избор на училиште во кое ќе го продолжат образованието |

*Реализацијата на оваа програма подразбира целосно ангажирање на сите други носители на воспитно образовната дејност во училиштето, почнувајќи од одделенските наставници во прво одделение до крај на основното образование.

Тим за професинална ориентација:
Елизабета Синделиева
психолог Марина Миткова-педагог
Ивона Величковска-дефектолог

# Прилог 25. План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и за пуштање, спречување дискриминација

**Програма за превенција од насилно однесување во училиштето**

| Планирани Активности | Цели | Задачи | реализатор | Време на реализација | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Насоки за одделенските раководители за реализација на работилници од ОЖВ за превенција од насилство | - вклучување на одделенските раководители во превенција од насилство | да се планираат работилници на одделенските часови за разрешување конфликти и справување со насилничко однесување | Одделенски раководители и раководители на паралелка | Август | Превенција од насилство |
| Едукација на учениците за деликвентно однесување | да се запознаат поимот деликвентно однесување и последици од истото | Барање до СВР Автокоманда, Скопје заедукативна работилница | Директор Психолог, | Септември-октомври | Превенција и свесност за деликвен |
| Ден на креативноста | да се подигне свеста кај учениците за нивната креативност, | подготовка на акцискиот план за денот на креативноста | Тимот за намалување на насилството | октомври | Зголемување свеста за креативноста и индивидуалноста кај учениците |
| Анализа на видовите насилни однесувања на учениците | Да се увиди кои се најчестите видови насилни дејства во училиште | Извештај | Тимот за намалување на насилните дејства во училиште | ноември | Превземање активности за намалување на насилните дејства |
| Едукација на родителите | да се запознаат со видовите насилно однесување, причините и последиците од истото | Барање до СВР Скопје за одржување едукатибна работилница | Полициски службеници за превенција од насилство и безбедност во Училиштата | Јануари-февруари | зголемување е свеста за последиците од насилното однесување на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| поготовка за денот на БУЛИНГ | да се подигне свеста за булинг кај учениците | подготовка на акционен план за денот на БУЛИНГ | Тимот за намалување на насилството | март-април | зголемување на свеста за булинг и неговите ефекти врз учениците |
| Анализа на видовите насилни однесувања на учениците | Да се увиди кои се најчестите видови насилни дејства во училиште | Извештај | Тимот за намалување на насилните дејства во училиште | ноември | Превземање активности за намалување на насилните дејства |
| Ден на булинг | да се разбере што е булинг и кои се последиците | реализација на акциониот план | Тимот за намалување на насилството, драмска секција, комисија за приредби | мај | зголемување на свеста за булинг и неговите ефекти врз учениците |
| Извештај од реализираните активности на Тимот за намалување на насилството | да се евидентира активноста наа клубот | документирање на реализираните активности | Тимот за намалување на насилството | јуни | евалуација на програмата на Тимот за намалување на насилството |

Планот за активности во училиштето од програмата „Врсничко насилство, Булинг- е изготвен од Училишниот тим за справување со насилство, во состав:

Елизбета Сиделиева-психолог

Марина Миткова –педагог

Ивона Величковска-
дефектолог

Мирјана Ивановска-предметен
наставник

Биљана Белогаска-
одделенскинаставник

| Фокус | Информирање на учениците за врсничко насилство и начини на справување со врсничко насилство | | | |
|---|---|---|---|---|
| Зошто | Продлабочено учење преку информирано знаење, практични примери и практична изработка на идеи за одржување на неналство | | | |
| Како | Да се подобри информираноста преку наставата, да се примени и надвор од наставата | | | |
| Што | Зошто | Како | Кој | Кога |
| Презентација за поим, карактеристики, начини на справување | Да се информираат подобро | Преку презентација и видеа и пропаганден материјал (дивајдери за учебник) | Сите ученици од 1во до 9то | Второ полугодие |
| Презентација за поим, карактеристики, начини на справување | Да се информираат подобро | Преку презентација и видеа и пропаганден материјал (брошура) | 70 % од вкупниот број на родители на актуелни ученици | Второ полугодие |
| Презентација за поим, карактеристики, начини на справување | Да се информираат подобро | Преку презентација и видеа и пропаганден материјал (брошура) | Сите одделенски и предметнио наставници | Второ полугодие |
| Во текот на годината<br>-Изработка на плакат за секое одделение | -развивање на вештини и способности за изработка на плакати | -изработка плакат | Сите ученици и предметни наставници | континуирано |
| Подолготраен ефект за тоа што е врсничко насилство | За да можат да се создадат услови за ненасилна комуникација меѓу врсниците на подолг период | Изработка на пропаганден материјал (дивајдери, привезоци), брошури | Ученици<br>Родители<br>Наставници<br>Директор<br>Стручна служба | Второ полугодие |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Александар Илиевски** | **физичко образ.** | **/** | **21** | 1а,б=6, 2а,б,в=9, 3а,б=6 | **21** |
| **Елеонора Пешевска** | **физичко образ.** | **/** | **15** | 4а, 4б=6<br>5а,5б=6,<br>6б=3 | **15** |
| **Ергин Османовски** | **физичко образ.<br>Алб јазик** | **/** | **15** | 1 алб, 2алб, 3алб,4алб,<br>5алб | **15** |
| **Никола Настевски** | **ТО и информатика** | **/** | **20** | 5 а,б,ал; =6<br>6 а,б,=4 | **20** |
| | **информатика** | | | 7 а,б = 2 | |
| | **иновации** | | | 9 а,б= 2 | |
| | **Проекти од информатика** | | | 8а,б½= 2<br>9а½, 9б½ 2групи= 4 | |
| **Петар Ристовски** | **етика на религии** | **/** | **4** | 6 а,б (1во полугодие) | **4** |
| | **Вештини на живеење** | **/** | **4** | 6 а,б (2ро полугодие) | **4** |
| **Радица Цветковска Петковска** | **етика** | **/** | **2** | 7 а,б | **2** |

### 8.3 Работа во смени

Наставата во одделенска настава се реализира во две смени, по принцип на ротација на смена А и смена Б на две седмици:

| Смена | Ознака | Одделенија |
|---|---|---|
| **претпладневна смена** | **А** | **I, II, III,** |
| **попладневна смена** | **Б** | **IV, V** |

Предметна настава работи само во прва смена.

Времетраењето на наставниот час е 40 мин., согласно Законот за основното образование во РСМ. Организацијата на дневното работно време е како што следи:

| час | предметна настава | час | одделенска настава А | час | одделенска настава Б |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 07:40-08:20 | 1 | 07:40-08:20 | 1 | 12:25-13:05 |
| 2 | 08:25-09:05 | 2 | 08:25-09:05 | 2 | 13:25-14:05 |
| 3 | 09:20-10:00 | 3 | 09:20-10:00 | 3 | 14:10-14:50 |
| 4 | 10:05-10:45 | 4 | 10:05-10:45 | 4 | 14:55-15:35 |
| 5 | 10:50-11:30 | 5 | 10,50-11,30 | 5 | 15:45-16:25 |
| 6 | 11:40-12:20 | 6 | 11:40-12:20 | 6 | 16:25-17:05 |
| 7 | 12:25-13:05 | | | | |
| 8 | 13:25-14:05 | | | | |
| | Додатна, Дополнителна настава, секции | 6 | Додатна, Дополнителна настава, секции | 6 | Додатна, Дополнителна настава, секции |

Распоредот на смените овозможува вклучување на учениците во додатна и дополнителна настава и воннаставни активности, реализација на активностите на Детската организација, Ученички Парламент и другите организирани форми на згрижување на ученикот, односно исполнување на неговото слободно време со активности кои имаат воспитно-образовни содржини.

### 8.4 Јазик/јазици на кој/кои се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **19** | **5** | **/** | **/** | **/** |
| **Број на ученици** | **488** | **39** | **/** | **/** | **/** |
| **Број на наставници** | **33** | **6** | | | |

### 8.5 Проширена програма

Во училиштето се реализира проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование, а врз основа на чл. 33 од Законот за основното образование во РСМ.

Проширената програма опфаќа:

Прифаќање и заштита на учениците од I, II и III одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот.

Цели:

- помош на родителите кои се во работен однос за згрижување на децата;
- развивање на работни навики на децата;
- помош во совладување на наставниот материјал;
- воспитно делување, развој на социјализација и дружење;
- насочување на децата кон здрави навики и спортски активности
- развивање на културни и здравствени навики кај децата

Продолжениот престој би се организирал за ученици од прво до трето одделение, што значи би се формирала хетерогена група на принцип на комбинирана паралелка. За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно- уметнички, спортски и други активности според програмите за работа.

Опфатот на децата би бил по 2 часа дневно за една смена, односно вкупно 4 часа. Организацијата на работата би била планирање на активности за по еден час пред почетокот и по завршувањето на наставата. Активностите би се состоеле од:

- прифаќање на децата
- подготовка за самостојна работа
- самостојна работа
- рекреативни активости
- испраќање на децата кон домовите.

За претпладневната смена продолжениот престој планирано е да се реализира: 07:30-12:20

За попладневната смена продолжениот престој планирано е да се реализира 12:25-17:00

Продолжената настава ја реализира Слободанка Стевановска, професор по одделенска настава.

### 8.6 Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки

### 8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Странски јазик | Број на ученици | Одделенија |
|---|---|---|
| **Англиски јазик** | **527** | **I-IX одд** |
| **Француски јазик** | **213** | **VI- IX одд** |

### 8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со ученици од прво до петто одделение

Со цел подобрување на квалитетот на наставата, унапредување на физичките способности, моторните вештини и знаења кај учениците се спроведува тандем настава по физичко и здравствено образование, каде покрај одделенскиот наставник се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Во учебната 2022/2023 година, тандем настава се реализираше во прво, второ, трето и четврто одделение. Во учебната 2023/2024 година, планирано е истата да се реализира во прво, второ, трето,четврто и петто одделение.

- За прво одделение ја реализираат: Катерина Стојковска, Катерина Ванева, Бехар Емини
- За второ одделение ја реализираат: Катерина Стефановска, Тања Стојкоска Јовеска, Анета Ивановска и Фатмире Подграѓа
- За трето одделение ја реализираат: Убавка Наумовска, Маја Јовевска и Мевљуде Фејзулаху
- За четврто одделение ја реализираат: Виолета Симоновска, Славица Николовска и Флъори Јусуфи
- За петто одделение ја реализираат: Ивана Анѓелевски, Светлана Апостоловска и Иса Амети

### 8.9 Изборна настава

Изборната настава се реализира од четврто до деветто одделение по пат на анкета која се спроведува во месец мај од претходната учебна година, преку предмети кои ги бираат учениците и нивните родители по одделенија и паралелки.

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделени наставни предмети.

Во продолжение следи прегледот на изборни предмети по години и бројот на групи:

**Изборни предмети**

| изборен предмет | одделение | број на групи | предава |
|---|---|---|---|
| **Етика во религиите** | **VI** | 2 групи | Петар Ристовски |
| **Унапредување на здравјето** | **VIII** | 1 групи | Валентина Манева |
| **Проекти од музичка уметност** | **VII** | 2 групи | Марјан Орчевски |
| **Проекти од информатика** | **IX**<br>**VIII** | 2 групи<br>1 групи | Никола Настевски |
| **Воспитание за околината** | **VIII** | 1 група | Валентина Манева |
| **Танци и ора** | **IX** | 1 групи | Марјан Орчевски |
| **Вкупно изборни** | **6 предмети** | **10 групи** | |

Врз основа на направената анкета за слободни изборни предмети за 4то и 5то одделение во месец мај од понудените предмети по подрачја направена е листа, од која во месец септември ќе бидат избрани слободните изборни предмети за учебната 2023/2024 год:

**Слободни изборни предмети за 4то одделение:**

Изборни предмети за проширување/ продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети:

- Математика
- Македонски Јазик
- Техничко образование и информатика

Изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети:

- Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.)
- Театарски работилници
- Фотографија

Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците:

- Почитување на различностите
- Разрешување конфликти
- Интеркултура/ мултикултура

Изборни предмети од спортско-рекреативен карактер:

- Одбојка
- Ракомет
- Танци и ора

**Слободни изборни предмети за 5то одделение:**

Категорија: Изборни премети за проширување и продлабочување на знаењата

- Македонски Јазик (мајчин јазик)
- Ликовно образование
- Математика

Категорија: Изборни предмети за подршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети

- Фотографија
- Танцување
- Училишен хор

Категорија: Изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој

- Почитување на различностите
- Разрешување конфликти
- Интеркултура/ мултикултура

Категорија: Спортско-рекреативни изборни предмети

- Ракомет
- Фудбал
- Пинг понг, кошарка, јога

### 8.10 Дополнителна настава

Дополнителната настава се реализира за ученици кои покажуваат слаб или намален успех по наставни предмети, односно теми во настваниот предмет, како резултат на ниска мотивација, подолга болест на ученикот, недоволно разбирање на наставниот материјал.

Во идентификацијата на учениците учествуваат одделенските и предметните наставници, стручната служба и родителите. Евиденцијата за овој вид на настава се води согласно  Упатствата за водење на педагошка евиденција за дополнителна настава. Распределбата по наставници е во прилог

| Активност | Носители на активност | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на дополнителна настава во училиштето | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО ( наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на дополнителната настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на дополнителната настава |
| Следење на реализацијата на дополнителна настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на дополнителна настава настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици со потешкотии во учењето |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците<br>-Посета на час | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето |

**8.11 Додатна настава**

Додатната настава се организира за ученици кои во наставата постигнуваат натпросечни постигнувања. Додатната настава се планира и организира според посебни програми изготвени од наставниците кои се составен дел од годишните планирања на наставниците. Задача на наставникот е да :

- ги запознае учениците и нивните способности, интереси;
- оствари индивидуален пристап кон ученикот;
- да изработи програми за работа со еден или група на ученици за постигнување на повисоки нивоа на знаења и вештини;

Во идентификацијата на учениците учествуваат одделенските и предметните наставници, стручната служба и родителите. Евиденцијата за овој вид на настава се води согласно Упатствата за водење на педагошка евиденција за додатна настава. Распределбата по наставници е во прилог.

| Активност | Носители на активност | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето на додатната настава во ООУ | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО ( наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатна настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Следење на реализацијата на додатната настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на додатна настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на додатната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците<br>-Посета на час | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области<br>-Поголемо учество на организирани натпревари на знаење |

## 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење информации; развивање на способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата во нашето училиште ќе ја насочиме кон развивање на специфичните способности на надарените и талентирани ученици преку:

- индивидуализација во наставата со учениците
- групна настава за учениците со приближно исти способности
- проектни активности,слободни ученички активности
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
- организирање креативни работилници

**Цели:**

- дефинирање на поимот за надареност според Рензули
- идентификување на надарените ученици по видот на талентот
- практична работа со надарените ученици
- професионално насочување
- следење на развојот и напредокот на личноста на ученикот
- да се поттикунува мотивацијата кај учениците
- давање совети за родителите на надарените ученици
- развивање на способностите на ученикот за едно или повеќе подрачја, преку развој на нивните способности, интереси, мотивацијата и техники на учење;
- учество на натпревари
- правилен психо - физички развој на личноста на надареният ученик

### Изработка и реализација на збогатен образовен програм

Изработка и реализација на збогатен образовен програм вклучува:

- Идентификација на надарените ученици;
- Изработка на програми за работа со еден или група на ученици
- Следење на работата на надарените ученици;
- Вреднување на резултатите и постигањата на учениците
- Во случаи каде детето не постигнува образовни резултати или се појавуваат непожелни облици на поведение се бара мислење од институција за проблемот.

Надарените ученици се вклучуваат во:

- Секции
- Додатна настава
- Натпревари

Составен дел на работата со надарените учениците се:

- Досие за ученикот со мислења од тимот, институции, изработки, постигања;
- Евидентни листи за бележење на постигањата на надарените ученици;

• Списоци на ученици кои учествуваат во воннаставни активности и додатна настава;

• Програми за работа со надарените ученици;.

• Пофалби, награди.

Тим за работа со надарени ученици:

1. Александра Донева психолог
2. Елена Панова, специјален едукатор-рехабилитатор
3. Ивана Петровска, педагог
4. Елена Јовановска Миливојевиќ, предметен наставник по математика;
5. Мирјана Србиновска, предметен наставник по ликовно образование;
6. Мартин Костоски, предметен наставник по физичко и здравствено образование;
7. Зорица Стевковска,предметен наставник по македонски јазик;

| Цели | Содржина | Реализатор | Време | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| - Евидентирање на надарените ученици | -Формирање на Училишен тим за работа со надарени ученици<br>-евидентирање на надарените ученици;<br>-Соработка со одд. раковод. и родители | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **IX** | - тим за работа со надарени ученици<br>-преглед по надареност на учениците |
| Индивидуализирање на наставата | -СКР на стручен соработник со наставници за секој ученик;<br>-примена на современи наставни форми<br>- избор на задачи<br>-реализација на додатна настава и воннаставни активности | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **X** | -Планирање,организац. на поучувањето<br>-проширени извори на податоци;<br>-прилагодување на содржини кон потреби на учениците |
| Утврдување на индивидуалните постигања на надарените ученици; | -следење на успех, редовност на ученикот;<br>-увид во изработки на ученикот;<br>-увид во инструменти за следење, вреднување<br>-увид во постигања од работата на секции и реализација на додатната настава | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **XI, I<br>IV, VI** | -проценка на постигања;<br>- индивидуализација на поучувањето и оценувањето;<br>-определување на форми /методи за работа со ученикот |
| Подобрување на постигањата на надарените ученици | СКР со надарените учениците ;<br>СКР со родителите<br>СКР со одд. раководители<br>-учество на надарените | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **XII** | -Почитување на разлики на надарени ученици<br>-Подобрена социјализ. на надарени учениците<br>-Подобрување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученици во работата на секциите и во реализацијата на додатната настава | | | постигањата |
| Утврдување на социо-емоционалниот статус, развој на надарените ученици; | - социометриска метода<br>- присуство на родителски средби<br>**Прашалник за родителите**<br>а)според Џорџ-карактеристики на детето<br>б) според Рихерт-форми на однесување<br>• Тестови на интелигенција<br>-воспитни стилови | Тим<br>Стручна служба<br>наставници<br>Родители | **III-IV** | -Развивање на позитивни ставови кај соучениците кон надарените ученици<br>-Едукација на родителите за воспитување и работа со надарените деца |
| Изработка на инструменти за вреднување на постигањата на надарените ученици | - утврдување критериуми за вреднување на надарените ученици<br>-изработка на инструменти вреднување на постигањата на надарените ученици | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **X-V** | -Развој на, инструменти за вреднување на надарените ученици |
| Учество на натпревари | -учества на интерни и екстерни натпревари | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **X-V** | -Јакнење на самодоверба<br>-споредба со надарени ученици од други ОУ<br>-промоција на ОУ |
| Евалуација на програмата за работа со надарените ученици | -утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата;<br>-конципирање развоен план за работа со надарените ученици; | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **VI-VIII** | -Изработка на индивид. планови за работа со надарени ученици;<br>-Подобрување на постигањата и социјализацијата на надарените ученици |

## 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование како еден од аспектите на социјалната инклузија има значење на најважен облик на општествена еднаквост и прифаќање. Тоа е образование насочено кон различните барања и потреби на сите деца, со особен акцент на оние деца и групи подложни на социјална исклученост и маргинализација, а со тоа и обесправени и високо ранливи.

За успешно спроведување на инклузивното образование и согласно Законот за основно образование член 16 став 2 во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој го сочинуваат: Анета Цветкова- директор, Елена Панова–специјален едукатор и рехабилитатор, Александра Донева- психолог, Маја Јовевска-одд.наставник, Данијела Величковска-предметен наставник, Габриела Савовска-родител и Билјана Јошова-родител. Училишниот инклузивен тим креира политика за успешна инклузивна култура и пракса, дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно- образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и ги детектира потребите на наставниот кадар за професионален развој и оспособување за работа со истите. За секој ученик со посебни образовни потреби е формиран Инклузивен тим на ученикот (член 16 став 3 од Законот за основно образование) составен од сите наставници кои реализираат настава во паралелката на ученикот, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и еден од родителите на ученикот.

Инклузивниот тим за ученикот согласно програмата за работа, на почетокот на учебната година (септември) врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП тимот за инклузија на ученикот изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со неговите можности, способности и интереси. Долгорочниот ИОП се изработува во рок од 30 дена од денот на започнување на наставата на ученикот во училиштето и се реализира во текот на целата учебна година, среднорочниот ИОП се реализира зависно од времетраење на темата по конкретниот предмет, а краткорочниот е имплементиран во рамките на дневна подготовка.

Во изготвувањето на ИОП-от за ученикот со посебни образовни потреби се водиме и од препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн. Училишниот инклузивен тим остварува редовни состаноци и за истите води записници.

Училишниот специјален едукатор и рехабилитатор согласно своите работни задачи врши дефектолошка проценка, работи со секој ученик според индивидуална програма и го следи напредокот. За резултатите од следењето дава повратна информација на родителите на овие ученици. Во учебната 2023/24 година три ученици со ПОП (прво, петто и деветто одделение) наставата ќе ја следат придружувани од образовни асистенти. Одобрување се чека за еден ученик (четврто одделение) кој во месец август треба да подлежи на повторна проценка.

Училишниот инклузивен тим и тимовите за инклузија на ученикот во работата со учениците со ПОП добиваат поддршка и од Ресурсниот Центар ПОУ„Иднина“. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно- консултативен разговор со неговите родители, при што родителот задолжително треба да приложи мислење/функционален профил од Комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. Доколку родителот не достави мислење/функционален профил, а Комисијата за запишување во училиште забележи одредена развојна попреченост кај детето го упатува родителот кај стручното тело за проценка, со цел утврдување на потребните мерки за поддршка на детето. Учениците со потешкотии во учењето, се идентификуваат при упис во прво одделение и преку следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и во консултации со стручните соработници.

Училиштето има изготвено процедури за:

- Процедура за индентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето
- Процедура за изработување на ИОП
- Процедура за грижа на ученици со телесна попреченост и ученици со оштетен вид
- Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди

| Цели | Содржина | Реализатор | Време | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето | - евидентирање на ученици со потешкотии во учењето<br>- дефинирање на временски период - соработка со наставници, родители, институции | Стручна служба одделенски раковод. | **IX-V** | -преглед на ученици и видот на потешкотиите, во учењето |
| Индивидуализирање на наставата, | -СКР на стручните соработници<br>-примена на современи наставни форми<br>-конципирање на програми според индивидуалните потешкотии на ученикот<br>-индивидуална програма за ученикот со методит на предавање-оценување | тим стручен работник наставници | **X** | -Планирање,организац. на поучувањето<br>-прилагодување на содржините кон потреби на учениците |
| Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со потешкотии во учењето | -следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструменти за следење,вреднување на учениците<br>-СКР со ученици со потешкотии во учењето;<br>СКР со родителите на ученици со потешкотии во учењето<br>СКР со одделенските раководители на ученици со потешкотии во учењето | тим стручен стручен работник наставници | **XI,I IV,VI** | -измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа<br>-Определување форми/ методи за работа со ученикот<br>-Подобрена социјализ.<br>-Подобрени на постигања на ученикот |
| Работилници со учениците со потешкотии и родители | -прифаќање на потребите на ученикот од семејството<br>-јакнење на самодовербата на ученикот-родителот | тим стр. работник наставници | **X, I, IV** | -соработка на релација У-Н-Р-институции<br>-самодоверба на учениците |
| Утврдување на социо-емоционалниот статус, на ученици со потешкотии | - социометриска метода<br>- разговори со УЗ<br>- присуство на родителски средби | тим стр. соработник наставници | **III-IV** | Развивање на позитивни ставови кај учениците кон ученици со потешкотии во учењето |
| Изработка на инструменти за следење на постигањата на ученици со потешкотии | -утврдување на критерими за вреднување на на ученици со потешкотии во учењето во согласност со наставни планови, програми | тим стр. соработник наставници | **V** | Разработени<br>-критерими,<br>-инструменти<br>за вреднување на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евалуација на програмата за работа со ученици со потешкотии во учењето | -утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата;<br>-конципирање развоен план за работа со ученици со потешкотии во учењето; | тим<br>стр. соработник<br>наставници | **VI-VIII** | Индивид. планови за работа со ученици со потешкотии;<br>Подобрување на постигањата ученици со потешкотии во учењето<br>Подобрување на социјализац. на ученици со потешкотии во учењето; |

**8.14 Туторска поддршка на учениците**

**8.15 План за образовниот медијатор**

Во училиштето не се реализира туторска работа и нема образовен медијатор иако повеќе пати со официјални дописи е барано истото

## 9. Воннаставни активности

**"Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта" за учебната 2023/2024 година**

Согласно нацрт записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.10.2017 година, која се однесува на Информација на активностите за имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција на Стратегијата на Југоисточна Европа 2020, МОН донесе одлука за дополнување на Годишната програма на училиштата со активности поврзани со антикорупциска едукација.

**Цели на проектот**

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција,интегритет и етичност
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација
- да се стави во улога на активен граѓанин кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија

Родителите:

- да бидат запознаени со учеството на учениците во проектот

**Планирани активности**

Во училиштето ќе бидат спроведи повеќе активности како дел од проектот:

- Спроведување на анкетен прашалник преку кој ќе се проверат-утврдат предзнаењата на учениците за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата
- Запознавање на учениците со терминот корупција, механизмите за заштита и улогата на ДКСК за спречување на корупцијата
- Запознавање на родителите со целите и реализацијата на активностите кои ќе се превземат во училиштето како дел од проектот
- Работилница направена од учениците за нивните соученици, наставници и родители
- Анализа од спроведената работилница
- Ликовно и литературно творење на тема поврзана со корупцијата
- Драматизирање и дебатирање на тема поврзана со корупцијата

Програмата за **Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта** е дадена во прилози.

**9.1 Училишни спортски клубови**

| Одговорен наставник | Општи цели | Конкретни цели | Видови спорт | Конкретизиран план на активности | Време на реализација | Вклученост на ученици (паралелка) | Планирани настапи и турнири |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мартин Костоски | Совладување, увежбување и усовршување на основните спортско – технички елементи од пинг-понг и нивна примена во игра | Да се совладаат,увежбаат и усовршат основните ставови и движења, како и основната техника на правилно држење на рекетот.<br>Да се совлада, увежба и усоврши техниката на удари форхенд и бекхенд.<br>Да се совлада,увежба и усоврши техниката на школски сервис<br>Да се совлада,увежба и усоврши техниката на пимпла со бекхенд и форхенд удари.<br>Да се научат и применат правилата на пинг-понгарската игра;<br>Да се развие духот на спортско – корекно натпреварување и фер – плеј; | Пинг-Понг | Два пати неделно | Септември - Мај | VI - IX | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |
| | Совладување, Увежбување и | Да се совлада, усоврши водењето на | Фудбал | Два пати | Септември - | VI - IX | Општински, Зонски, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мартин Костоски | усовршување на техничките и тактичките елементи од фудбалот | топката, како и да се развие координацијата во просторот;<br>Да се совлада увежба и усоврши додавањето,примање то на топка ,како и различните видови на удари со топка<br>Да се совлада голманската техника за фаќање и уфрлање на топка во игра<br>Да се совладаат основните тактички варијанти во на пад и одбрана;<br>Да се совладаат и увежбаат тактичките варијанти применети во игра; | | неделно | Мај | | Регионални и Државни натпревари |
| Мартин Костоски | Совладување и усовршување на техниката на трчање, скокање и фрлање како и подобрување на функционалните, моторичките и основните | Да се совлада и усовршува општата кординација и кординацијата со рацете и нозете;<br>Да се совлада и усоврши техниката на низок и висок старт;<br>Да се совлада и усоврши скоковите во далечина и височина (развој на скокалност, координација и експлозивност ); Да се | Атлетика | Еднаш неделно | Септември - Мај | VI - IX | Општински, Зонски, Регионални и Државни натпревари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | спортско технички знаења, умеења и навики | совлада и усоврши техниката на фрлање ѓуле;<br>Да се развие силата на мускулните групи на горните екстремитети, раменскиот појас и вратот; | | | | | |

### 9.2 Секции/ Клубови

Изборот на воннаставните активности во кои што ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа. Ангажирањето во воннаставните активности им овозможува на учениците да изградат позитивен став кон училиштето и придонесува за подигање на мотивацијата на учениците за постигање повисок училишен успех. Учеството на младите во процесот на донесување одлуки во рамките на училиштето има позитивни ефекти за развивањето на животните вештини и самодовербата кај учениците, нивните капацитети за демократско одлучување, односите меѓу учениците и возрасните, како и врз училишниот етос.

При планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ ставовите вклучени во подрачјата за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. Учениците треба да ги доживуваат понудените воннаставни активности како интересни, корисни и забавни, и како активности што заслужуваат да им се посвети дел од сопственото слободно време. Со други зборови, воннаставните активности треба да се разликуваат од наставните не само по темите/ содржините на кои се фокусираат, туку и по пристапот и методите на реализација на зацртаните содржини. Притоа, од особена важност е севкупниот пристап при реализацијата на воннаставните активности да им обезбеди на учениците што учествуваат во нив, да ја доживуваат целокупната атмосфера како безбедна на тој начин што ќе ја доживуваат интеракцијата со другите учесници како позитивна и ќе се доживуваат себеси како успешни учесници.

Секое дете има право да бара, да прима и да дава информации, да учествува во процесите на одлучување и да се здружува со другите деца заради посоодветно формулирање и манифестирање на своите потреби и интереси.

Училиштата се обврзани да им обезбедат на родителите навремени и достапни информации за програмата на воннаставните активности и да им овозможат нивна целосна партиципација во донесувањето одлуки во врска со планирањето на воннаставните активности.

Досегашната практика покажува дека е вообичаено во сите училишта да се реализираат повеќе видови воннаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

1 краткотрајни воннаставни активности, излети и екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето или во заедницата

2 подолготрајни воннаставни активности

3. Секции/клубови

(Извор: Концепција за воннаставни активности, Скопје 2020)

Со цел создавање на навики за доживотно учење и задоволување на интересите за продлабочени знаења во училиштето се организираат воннаставни активности, за кои програмите се дадени во прилог.

### 9.3 Акции

Училиштето организира хуманитарни, собирни акции во рамки на ЕКО И МИО програмите.

Најзначајни хуманитарни акции во кои планираме да се вклучи Ученичкиот Парламент се во рамки на "Недела за борба против гладта", чиј организатор е Црвениот Крст на Општина Гази Баба.

Продолжуваме со собирни акции на стара хартија, пластични шишиња, капачиња и батерии. Се организираат акции за зазеленување на дворот и традиционалните МИО активности за одбележување на верските празници. Програмите за акциите се дадени во прилог.

## 10 Ученичко организирање и учество

Учениците се организираат во заедница на паралелки Ученички парламент со цел нивно активно вклучување во креирањето на политики на училиштето. Во училиштето работат:

- Детска организација I-V одд. одговорни Маја Јовевска, Ивана Анѓелевски, Фатмире Подграѓа
- Ученички парламент II-IX одделение, одговорен Весна Митровска Дошева, Александра Донева, Ивана Петровска и Флъори Јусуфи

Програмите за работа на Детска организација и Ученички парламент се дадени во прилог.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Училиштето организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности кои всушност се воннаставни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците за одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели. Преку ваквите форми на воспитно-образовна работа на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, а учениците се запознаваат со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Септември/октомври | Дељадровце | I – IXодд. |
| Еднодневен пролетен излет | мај | Сарај | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | мај | Кавадарци | III одд. |
| Дводневна екскурзија | мај | Источна Македонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | Септември/октомври | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | мај (по посебно изготвена програма) | Западна Македонија | V одд. |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

### *1.1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ_*

**Место**: ***Манастирски комплекс Дељадровце, Скопје***
**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од I – IX одд.

**Воспитно - образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природата, културното наследство и екологијата,
- развивање на различните интереси на учениците
  - во контекст на забавно – рекреативни цели
  - во контекст на социјализациски цели,
  - развивање интерес и грижа за културното наследство, традицијата и обичаите (посета на Дељадровски манастир);
- примена на вештини и ставови во практични ситуации во природната и општествената средина,
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, собирање историски податоци за локалитетот, фотографирање.
**Раководител на излетот:** Маја Јовевска, одделенски наставник.
**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.
**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)
**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација:** Септември/октомври
**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет: атар на Дељадровски манастир
Правци на патување: Јурумлери – Дељадровце- Јурумлери
**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## *1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

***Место: Сарај, Скопско***

**Носители на активностите*:***

- одделенските наставници
- учениците од I – IXодд.

**Воспитно-образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природните ресурси во опкружувањето;
- развивање на различните интереси на учениците (грижа за природата и практикување на еколошки навики, спортски активности и култура за здраво живеење).
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со капацитетите и односите во природната и општествената средина;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на излетот:** Виолета Симоновска, одделенски наставник

**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација:** мај.

**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет – излетничко место Сарај.

Правци на патување: Јурумлери - Скопје - Сарај

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## *1.3 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА*

**Место**: Кавадарци
**Време на реализација**: мај 2024 г.

**Раководител на екскурзијата:** Убавка Наумовска - одделенски наставник

**Носители на активности:**
● одделенските раководители на паралелките од III одделение.
● ученици од III одд

**Воспитно образовни цели**

- Да стекнат знаења за историското минато,историските настани,процеси и личности
- Да го разберат значењето на старите градби и личности од минатото за нашата историја и култура
- Да го разберат функционирањето на стопански објект
- Да се потикнува развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита,
- Да се развива љубопитноста (да се поставуваат прашања и да се одговара на нив),
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен,
- Да се разберат настаните и појавите во природата( животот покрај река, езеро, во ридски предели) и градење на еколошки навики,
- Да се развиваат способности кај учениците (мисловни способности, разни мануелни способности),
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности.
- Почитување на културните традиции,
- Почитување на знаења и искуства на возрасните,

**Задачи:**

- Да се изучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествниот живот,
- Да се развива интерес за природата и градање на еколошки навики,
- Да се изгради чувство на патриотизам, толеранција и соживот,
- Да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Да се поттикнат и манифестираат позитивните емоции,
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе,
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Локации за посета и правци на патување**

- **Релација на движење:** Скопје - Стоби-Кавадарци – Неготино - Скопје.

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Техничка организација**: висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и лекар

**Финансирање**: Самофинансирање од страна на родителите

**План на патување**

- Состанок пред училиштето во 7.30 часот,
- Поаѓање во 8.00 часот.

-Патот води кон археолошкиот локалитет Стоби следи посета и разгледување на локалитетот.

-Потоа се пристигнува и разгледува градот Кавадарци и посета на Хидроцентралата Тиквеш.

-Следи посета на куќата на Страшо Пинџур и Винаријата Стоби.

-Подготовки за враќање и пристигнување во Скопје.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (писмени состави, описи, изработка на хамер или плакати)ќе се добијат повратна информации.

## *1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА –Источна Македонија*

Дводневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на мај. Патувањето започнува од Скопје - Куманово - Кокино - Кратово - Пробиштип – Штип – Радовиш – Струмица – Ново Село – Колешино – Дојран - Гевгелија – Демир Капија – Стоби - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на југоисточиот дел од Република Северна Македонија, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Негување на старите културни вредности, запознавање со историјата на овие простори (музеи, цркви, печатница и локалитетот Стоби),
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од VI одд.

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата..

**Раководител на екскурзијата:** - Данијела Величковска -одделенски раководител на VIб одделение

**Одговорни наставници:** Весна Митровска Дошева и Данијела Величковска - одделенски раководители на VIа и VIб одделение.

**Време на реализација:**

- мај

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1. ден (сл.1)***




слика 1

Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Куманово, со попатна посета на мегалитска опсерваторија Кокино во атарот на општината Старо Нагоричане. Се продолжува кон Кратово, со попатна посета на селото Куклица и земјените пирамидални форми – камени кукли. Во Кратово учениците се запознаваат со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата, кратовските маала, сето тоа со разгледување низ градот. Се продолжива за Пробиштип и посета на Лесновскиот манастир. Потоа со панорамско разгледување низ Струмица и Ново село се продолжува за Колешино и посета на Колешинските водопади. Во вечерните часови се пристигнува во Дојран каде е планирано сместување во хотел, вечера и ноќевање. По желба на учениците може да се организира интерна забава.

- ***2. ден (сл.2)***

Појадок во 8 часот. По појадокот се планира посета на граничниот премин Стар Дојран и едночасовна прошетка покрај езерото. Потоа се заминува на ручек во хотелот, а од таму на враќање кон Скопје низ Демир Капија, попатно се посетува археолошкиот локалитет Стоби (или винаријата Попова кула крај Неготино, доколку локалитетот е затворен за посети во подоцните попладневни часови). Со панорамски разгледувања се продолжува за Скопје, а пристигнувањето пред училиштето е планирано во вечерните часови.




слика 2

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Југоисточна Македонија**

- учениците од VI а одд., одделенски раководител: Весна Митровска Дошева
- учениците од VI б одд., одделенски раководител: Данијела Величковска

## *1.5. ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Западна Македонија*

Тродневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на месец мај. Патувањето започнува од Булачани - Скопје – Велес – Прилеп – Крушево - Битола – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани - Кичево - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со културата и начинот на живење на луѓето во струшко – охридскиот регион.
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Запознавање со културата на други етнички заедници во Република Северна Македонија (турска, албанска), историски факти поврзани со нив;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и припадниците на други народи кои живеат на територијата на нашата држава;
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**.

- одделенските раководители
- учениците од IX одд

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Раководител на екскурзијата:** Елена Јовановска Миливојевиќ - одделенски раководител на IXб одделение

**Одговорни наставници:** одделенските раководители IXа и IXб одделение:
Весна Рабан и Елена Јовановска Миливојевиќ.

**Време на реализација*:***
Септември/октомври

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден (сл.3)***

Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес, со попатен посета и пауза на локалитетот Стоби. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Следната дестинација е Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен-куќата на Тоше Проески. Се продолжува за Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и Спомен - собата на Кемал Ататурк во Музејот на Битола. Потоа учениците имаат 1 час слободно време за прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден, хотел во околината на Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат и имаат организирана вечера, диско - забава и ноќевање.



слика 3

- ***2.ден (сл.4)***

| Користи инклузивни стратегии за учење и поучување* | | | |
| Го следи и проценува постигањата и развојот на ученикот согласно индивидуалните цели* | | | |
| Изработува наставни средства и средства за инклузивна работа* | | | |

**Инструмент за евалуација на дневната подготовка на наставникот**

| Елементи од дневна подготовка | целосно | делумно | изостанува |
|---|---|---|---|
| Наставната содржина е во врска со тематското распределение | | | |
| Дефинираните цели се соодветни на содржината за дадениот наставен час | | | |
| Наставникот има јасна претстава какви промени кај учениците очекува од тој час – јасно дефинирани очекувани исходи | | | |
| Структурата на часот е поделена во фази и дадени се активности за секоја фаза | | | |
| Предвидените наставни форми и методи се во согласност со содржината што ќе се обработува | | | |
| Наставникот планира користење современи техники на учење во наставата | | | |
| Наставникот има планирано користење на соодветни нагледни средства | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставникот има испланирано активности со користење на ИКТ/Е - содржини кои се соодветни на поставените цели | | | |
| Предвидените активности за учениците и наставникот се соодветни на поставените цели | | | |
| Наведени се активности и инструменти, методи и техники за оценување на часот | | | |
| Наставникот планира домашна задача | | | |
| Наставникот води рефлексивни забелешки за поставените цели, очекуваните исходи од часот како и за ефикасноста на часот | | | |
| Изработен е индивидуален образовен план за ученици со посебни образовни потреби* | | | |
| За учениците со посебни потреби планирани се активности според индивидуалниот образовен план* | | | |

| **Реализација на наставата** | **Физичко присуство** | **Учење на далечина** | **Комбинирана настава** | **Печатен материјал** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Наставник**

**_____**

**Евалуатори**

**Директор_____**

**Педагог _____**

**Психолог_____**

### 16.4 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата за работата на училиштето се спроведува согласно Законот за основно образование и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта на крајот на секоја втора наставна година.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината.Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

Членови на Комисијата за спроведување на самоевалуација за учебните 2020-2022год.:

- Анета Цветкова, директор
- Александра Донева, психолог
- Ивана Петровска, педагог
- Слободанка Стевановска- одделенски наставник
- Катерина Ванева- родител

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има план и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето, на секој од нив има ставено упатство за употреба и истите редовно се сервисираат.

Учениците редовно се информирани и обучувани како да се донесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.

За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите и одморите. Поставени се видеокамери низ училиштето. За време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање во училиштето.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1 Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.

Техничкиот персонал според утврдените задачи редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор редовно се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични детоксични средства. Во санитарниот простор редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два- три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад.

### 18.2 Систематски прегледи

Се организираат санитарни прегледи за сите вработени, согласно Законот за здравствена заштита во акредитирана здравствена институција, избрана на тендер. За вработените се врши систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабараториски преглед, интернистички преглед, офтамолошки преглед и ОРЛ преглед.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ Ченто со одд.раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат

во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.

### 18.3 Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањрто се врши во присуство на родител и одделенскиот наставник од I до V, а за учениците од VI до IX одделение, родител и одделенскиот раководител или предметен наставник.

| Време | Активности | Возрасна група |
|---|---|---|
| **IX- XII** | ревакцинации | ревакцинации |
| | MRP | 1 одделение |
| | DT, Poio | 2 одделение |
| | Tetanus, poliomyelitis | 9 одделение |
| | HPV | 6 одделение –женски |
| **IX-X** | Залевање на заби | 5-6 одделение |
| **XI**<br>**XII**<br>**II**<br>**III**<br>**IV** | Залевање на заби | 1 одделение<br>2 одделение<br>3 одделение<br>4 одделение |
| **X**<br>**XI**<br>**II**<br>**III** | Предавања<br>Градба и функција на орална празнина<br>Правилна исхрана и внес на шеќери<br>Правилна орална хигиена<br>Редовна посета на стоматолог | 1-5 одделение |

### 18.4 Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта на едукацијата на учениците е подигнување на свеста за конзумирање на здрава храна и формирање на навики за правилен развој.

Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовни часови, воннаставни активности и базари. Министерството за образование и наука (МОН) во рамките за подобрување на исхраната на децата во основните училишта изготви правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта.

Наведените прописи се почитуваат од нашето училиште во насока на соодветно планирање на исхраната која има особено големо значење за правилниот психофизички раст и развој на децата. Во текот на месец август почитувајќи ги насоките и правилникот на МОН се изготвва мени според дадените стандарди од МОН и нашето училиште распишува оглас за избор на најповолен економски оператор кој ќе ја доставува ужинката за учениците

## 19.Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Формиран е училишен тим за работа со ученици со развојни проблеми и проблеми во поведението во состав: Дир. Анета Цветкова, Александра Донева психолог, педагог Ивана Петровска, проф. по одд. настава Фатмире Подграѓа и наставник по географија Стевче Здравковски

### 19.2 Естетко и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализација на општествено корисна работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата.

Формирана е комисија која има за цел естетко и функционално уредување на просторот во училиштето:

1. Анета Цветкова, директор
2. Маја Јовевска, одделенски наставник
3. Мартин Костоски, предметен наставник
4. Ивана Анѓелевски, одд. наставник
5. Весна Рабан, предметен наставник- биологија и хемија

### 19.3 Етички кодекси

Во училиштето изработени се кодекси на однесување на сите вклучени субјекти кои се донесени според Законот за основно образование. Такви се:

- Етички кодекс за наставниците и другите вработени
- Етички кодекс за родителите
- Етички кодекс за учениците кој Ученичкиот парламент во текот на учебната година ќе го преработи и прилагоди на новата учебна година.

Етичките кодекси се комплетно наведи во прилозите на Годишната програма.

### 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Тим: Анета Цветкова- Директор, Александра Донева- психолог, педагог- Ивана Петровска, предметен наставник Стевче Здравковски и одд. наставник, одговорна на стручен актив Светлана Апостоловска

Раководниот тим преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, законот за основно образование, развојната програма, интерните правилници, секогаш се почитуваат.

За сите тековни активности, сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето, внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците.

За децата со посебни образовни потреби е вклучено стручно лице- специјален едукатор- рехабилитатор, кое работи со тие ученици, како и образовните асистенти.

Стручната служба преку различни методи на работа врши советување на родители, чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи согласно нивните индивидуални потреби.

За да се подобри квалитетот на училиштето се вршат анализи на резултатите добиени на кавалификационите периоди, полугодието и на крајот на тековната учебна година и врз основа на сознанијата се прават планирања за следната учебна година.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го Законот за наставници концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав:

Анета Цветкова, директор,

Ивана Петровска и Александра Донева-стручни соработници,

Светлана Апостоловска, Сузана Малинова и Зорица Стевковска- претседатели на стручни активи, чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците, истите да ги планира како и да го следи нивниот професионален развој.

### 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања. Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно- образовниот кадар. Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот.

### 20.3 Личен професионален развој

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучен во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионален развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно- образовниот процес, за што изготвува личен план за професионален развој. Секој наставник има сопствено наставничко портфолио со докази од нивната работа и изработки од учениците.

Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот личен професионален развој. Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие.

### 20.4 Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се врши преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници, отворени часови и нагледни часови. Воедно сите дисеминации од посетените обуки, семинари, конференции и сл. придонесуваат во споделувањето на стекнатото знаење и вештини.

Планираните интерни семинари и активностите на стручните активи, вклучително примерите на добра пракса се дел од хоризонталното учење. Програмите на стручните активи се дадени во прилог.

### 20.5 Кариерен развој на воспитно- образовниот кадар

Кариерниот развој на воспитно- образовниот кадар го следи тимот за професионален развој, одговорните на стручните активи и секој наставник поединечно за себе споредбено со личниот план за професионален развој.

Планот за поддршка е интегрален дел на плановите за екстерни обуки, интерни обуки, состаноци и средби на стручните активи.

Наставниците можат да напредуваат во звање ментор или советник при што треба да ги исполнуваат професионалните компетенции за ментор или советник кои ги опфаќаат следните подрачја: знаења за наставниот предмет и знаења за воспитно- образовниот систем; поучување и учење; создавање на стимулативна средина за учење; социјална и образовна инклузија; комуникација и соработка со семејството и заедницата и професионален развој и професионална соработка.

Стручните соработници можат да напредуваат во звање ментор или советник при што треба да ги исполнуваат професионалните компетенции за ментор или советник кои ги опфаќаат следните подрачја: работа со ученици; работа со наставници; работа со

родители; соработка со заедницата; професионален развој и професионална соработка; аналитичко-истражувачка работа и училишна структура, организација и клима.

Програмите се дадени во анексите на Годишната програма.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

### 21.1 Вклученост на родителите/ старателите во животот и работата на училиштето

Со активна вклученост на родителите/ старателите и постојана соработка со училиштето се постигнува поголема контрола на учениците и подобрување на резултатите од воспитно- образовната работа. Во своите програми за работа, во работата на полето на културна и образовна дејност, училиштето обрнува посебно внимание на родителите и им дава можност да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и тоа преку секојдневни средби и разговори, родителски средби, а особено во програмите за работа на Советот на родители во рамките на одделенијата и Советот на родители на ниво на училиште. На ваквите средби и разговори ќе се третираат прашања директно поврзани со животот и работата на учениците во училиштето, подобрување на условите за работа во училиштето и ученичкиот стандард, исхраната и слично.

Родителските средби ќе се одвиваат во неколку форми и тоа:

Индивидуални разговори и консултации

- информирање за успехот и однесувањето на учениците, консултации во врска со одредени потешкотии на ученикот и надминување на истите, телефонски разговори

Групни родителски средби

- глобално разгледување на проблемите во одделението-паралелката, информирање за успехот, редовноста и поведението -усно и писмено (евидентни листови, свидетелства), планирање на екскурзии и истражувачка настава

Писмено известување на родителите

- во врска со некои проблеми на ученикот, потреба од посетување дополнителна настава, пофалување и истакнување на постигањата

Покрај вообичаени средби со родителите, соработката со нив ќе се одвива и по електронски пат - е-дневник кој континуирано ќе се пополнува, а со цел навремено информирање на активностите, успехот и редовноста на нивното дете.

Во соработка со родителите ќе се организираат и разновидни акции, средби, прослави и др. За таа цел се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите. Советот на родители на училиштето изготвува своја програма за работа.

За успешно реализирање и унапредување на соработката со родителите, во училиштето функционира Тим за подобрување и продлабочување на соработката со родителите кој има сопствена програма за работа. Училишниот тим подготвува брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учество во проекти, натпревари и манифестации, кодекс на

однесување, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

Исто така родителите ќе бидат вклучени (во улога на помошници) и во воннаставните активности каде ќе имаат можност да работат заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација. Со своите предлози и ангажираност родителите ќе учествуваат во организација за секаков вид на забава, натпревари (превоз, поддршка), хепенинзи, екскурзии (вклучени во комисии), работни акции и други манифестации.

Планот за родителските средби е даден во прилозите на годишната програма.

### 21.2 Вклученост на родителите/ старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителот и учителот се постојано упатени на соработка имајќи ја во вид заедничката нитка која ги поврзува т.е. детето/ ученикот, во облик на концентрични кругови се надоврзуваат; микросостав (родители, наставници), мезосостав (училиште, соседство, заедница), егзосостав (подалечни членови на семејството, работното места на родителите) и макросостав (културните, верски вредности, верувања и прифатливи однесувања)

Родителите треба да ја добијат пораката дека нивното мислење се почитува, а нивните предлози и сугестии се важни. На родителите, наставникот треба да им ги претстави сите можности кои ги имаат – како и на кој начин може да се работи заедно, како да се преземе одговорноста за своето учество.

На наставниците - поголема доверба и почит од родителите за работата која ја изведуваат што води кон нивна поголема мотивација, расположеност, подготвеност за постигнување на повисоки резултати; можност за воспоставување на подобра комуникација и подобри односи со родителите и децата/ учениците; можност за подобро разбирање на разноликоста (играње на разноликоста (културна, етничка...) на семејствата, вредностите кои се негуваат; можност за промена на искуствата, стекнување на нови сознанија. Ученикот- поголема самодоверба, мотивација интерес за постигнување на повисоки резултати; желба да се придонесе за сопствениот развој, развојот на училиштето, поголема доверба во учителот. Воспитно- образовната институцијата- подобри програми, подобри резултати, поддршка од заедницата.

"За децата можеме да го направиме најдоброто само со помош на нивните родители. Стручните лица можат многу да им помогнат на родителите, но не можат да ги заменат, затоа што колку и да знаат за децата, не знаат ништо посебно за секое одделно дете" (Penelope Leach).

### 21.3 Едукација на родителите/ старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Родителите соработуваат со училиштето како едукатори, со предавања од областа за кои се компетентни.

Но од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (семејно насилство, трговија со луѓе, интернет насилство, етички

кодекси, инклузија на ученици со ПОП, методи за ефективно и ефикасно учење, професионална ориентација- право на детето на избор и сл.), преку организирање едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на советување на родителите, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

Психологот и понатаму ќе врши советувања на родителите според Програма за советување, советодавната работа со родителите ќе се одвива и од страната на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и Директорот на училиштето.

Училиштето и родителите изработуваат брошура за родители со која ќе се промовира воспитно-образовната дејност на училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население.)

 Се воспоставува усна, пишана и електронска комуникација, се предвидуваат состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис- компании во локалното опкружување, собири и здружувања поодредени случувања во училиштето, се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др.

 Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка.

- ***Институции од областа на културата***

 Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, кино- сали.

- ***Институции од областа на образованието***

Се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС- Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети и др.

- ***Невладини организации***

 Училиштето соработува со Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

- ***Спортски друштва***

 Се наведуваат ФК „Работнички“, ФК „Македонија“, РК „Металург“ , КК „Феникс“, МИО заеднички игри

- ***Здравствени организации***

Училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Здравствен дом „Ченто“, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, Заводот за ментално здравје, Осигурителна компанија и други. Во текот на годината ќе се организираат предавања и работилници на различни теми од областа на здравствената заштита на учениците, спроведени од стручни лица, надворешни соработници или од Црвениот Крст

ООУ „Његош“- Јурумлери има свој e-mail: negoskolonija@yahoo.com, на кој за сите заинтересирани се отворени можности за прашања и дискусии во врска со сите прашања од воспитно- образовната работа и животот на училиштето.

За подобрување на комуникацијата меѓу наставниците, учениците и нивните родители, секој наставник и стручните соработници имаат е-маил адреси, наменети за комуникација, поставување на прашања, доставување на одговори, наставни материјали, прашања кои би се користеле во наставата, како и дополнителни извори на податоци од интерес и значење за темите кои се обработуваат.

ООУ „Његош“- Јурумлери за што подиректна комуникација со учениците, наставниците, родителите, локалната заедница има и facebook профил, на кој ги најавува планираните активности и пренесува извештаи со текст и слика од реализираните активности.

За поголем број активности и задачи, изготвени се акциони планови кои се дадени во прилозите во планирањето на подрачјето и се составен дел на оваа Годишна програма за работа на ООУ „Његош“- Јурумлери.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работата на основното училиште

Реализацијата на активностите од Годишната програма за работа на училиштето ќе бидат следени за да може да се процени и утврди нивото и квалитетот на сработеното или резултатите од активностите. Со мониторингот треба да се добие одговор на прашањето во која мерка се реализирале планираните содржини и активности, кои се носителите и колку биле успешни активностите. Процесот на следење и евалуација започнува со усвојување на Годишната програма и продолжува континуирано во текот на целата учебна година.

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/ца | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подготовка на програмите и акциските планови | Тековно во тек на учебната година со протоколи, записници, увиди од директор, стручна служба, советници од БРО и ДПИ | -Тим за следење на наставата<br>-Комисија за СеУ<br>-одговорни на стручни активи | -директор<br>-одговорни на тимови за настава, самоевалуација, стручни активи |
| Следење на реализацијата на подготовките и акциските планови | -тековно според динамика на планир, њата, акциските планови преку увиди во<br>-состаноци<br>-реализирани активности и акциски планови со протоколи, обрасци, документација од планирања | -Тим за следење на наставата<br>-Комисија за СеУ<br>-одговорни на стручни активи | -директор<br>-одговорни на тимови за настава, самоевалуација, стручни активи |
| Евалуација на реализацијата на подготовките и акциските планови | Септември, Ноември, Јануари, Април, Јуни<br>-протоколи<br>-записници<br>-извештаи<br>-документација (фото, видео материјали, презентации, подготовки ) | -Тим за следење на наставата<br>-Комисија за СеУ<br>-одговорни на стручни активи | -директор<br>-одговорни на тимови за настава, самоевалуација, стручни активи |
| Самоевалуација на училиштето | -Ивештаи по подарачја и критериуми за СеУ-Август-Ноември<br>-СеУ-Декември<br>-Акциски планови за надминување на слабите страни | -директор<br>-Комисија за СеУ и одговорни по подрачја<br>-Наставнички совет<br>-Училишен одбор | -директор<br>-Наставнички совет<br>-Училишен одбор<br>- Совет на родители<br>-Ученички парламент |
| Реализација на планови по подрачја | -тековно<br>-на квалификациони периоди<br>Преку извештаи, записници, педагошка документација | -Тим за следење на наставата<br>-стручна служба<br>-Комисија за СеУ<br>-одговорни на стручни активи | -директор<br>-Наставнички совет<br>-Училишен одбор<br>- Совет на родители<br>-Ученички парламент |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето и евалуацијата на годишната програма за работа на училиштето има за цел да се подобри квалитетот на работата на училиштето. Со процесот на следење и евалуација на годишната програма всушност се споредуваат целите и очекуваните исходи со добиените резултати по реализацијата на активностите. При следење и евалуација на реализацијата на

Годишната програма за работа на училиштето се тргнува од планот за развој на училиштето, насоките за самоевалуација на работата на училиштето и од законските и подзаконските акти врз кои се заснова истата.

Евалуацијата на Годишната програма за работа го вклучува квалитетот во работата, односно придонесува за воочување на силните и слаби страни во работењето на училиштето. Добиените резултати овозможуваат поставување приоритетни подрачја за следната учебна година. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели.

Програмата за евалуација на годишната програма за работа на основното училиште за тековната учебна година е дадена во прилог.

## 25. Заклучок

Годишната програма на училиштето претставува фундаментален дидактички документ кој се темели на стручно- педагошки- психолошки професионализам, користење на педагошко- психолошка литература, анализирање на разни модели на планирање и програмирање, анализирање на нормативни акти, законски прописи, одлуки, заклучоци за основно образование, анализирање на годишните извештаи за работењето на училиштето, познавање на најновите измени и дополнувања на програмските основи, тимско вклучување во планирањето на курикулумот, преземање на заедничка одговорност со наставниците и стручните соработници. Поради јасност, логичност и разбирливост во планирањето постои систем на цели и јасност во работењето, избор на адекватна стратегија за евалвација на очекуваните резултати. Прецизирани се временските рамки на реализирање на работните задачи, одредени се носителите на активностите, прецизирани се програмите со активности, цели, задачи, очекувани резултати.

При изработка на Годишната програма водевме сметка за просторните и материјално-техничките услови со кои располагаме.

Успешноста на годишната програма е заедничка обврска и должност на сите субјекти вклучени во воспитно- образовниот процес како внатрешни или надворешни партиципиенти во зависност од нивната улога со истрајност и меѓусебна соработка да партиципираат и влијаат на квалитетната реализација и конкретизација на воспитно- образовните цели и задачи. Основните димензии на педагошкото водство во училиштето се насочени на оптимално искористување на емоционалните и духовните ресурси со единствена цел подобрување на работата на училиштето и постигнување на високи, но возможни едукативни резултати. Разликите мора да се прифатат како предност, а не како негативен елемент.

Во програмата се опфатени општи податоци за училиштето, податоци за наставниот и ненаставниот кадар, за телата на управување, учениците, приоритетните подрачја на промени, видови на настава и воннаставни активности, вонучилишни активности (екскурзии, излети), проекти кои ќе се реализираат, грижа за здравјето и безбедноста на учениците, унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција, антикорупциската програма, поддршка на учениците, видови оценувања, самоевалуација на училиштето,

следење на наставата, училишна клима, професионален и кариерен развој на наставниците, соработка со родителите, комуникација со јавноста и промоција на училиштето.

Од досега изложеното може да резимираме дека Годишата програма е документ кој е клучен за реализација на воспитно обрзовниот процес и служи како основа преку индикаторите за мерење на успешноста во реализацијата на активностите планирани за учебната 2023-2024 година.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Комисијата се состои од:

- Анета Цветкова, Директор
- Ивана Петровска, педагог
- Александра Донева, психолог
- Зорица Стевковска, предметен наставник по македонски јазик
- Светлана Апостоловска, професор по одделенска настава
- Ученички правобранител

## 27. Користена литература

За изработката на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/ 2023 година, користена е следната литература:

- Закон за основното образование во РСМ (Сл. Весник 161/19) ;
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работата на основното училиште- правилник од МОН на РСМ
- Критериуми и индикатори за спроведување на самоевалуација на училиште- ДПИ на РСМ
- Статутот на ООУ „Његош“- Јурумлери;
- Правилници со кои се уредува работата на ООУ "Његош"- Јурумлери
- Наставни планови и програми по наставни предмети и подрачја;
- Етички кодекси за сите структури во училиштето, Еко- кодекс, Кодекси за однесување за сите структури во училиштето, Кодекси за МИМО;
- Критериуми за оценување во основното образование;
- Концепција за деветгодишно образование ;
- Календар за организација на работата на основните училишта
- Програма за развој на училиштето за период 2019- 2022 година
- Годишни програми за работата на училиштето од претходните години
- Извештаи од работата на училиштето од претходните учебни години;
- Правилник за организирање и изведување на ученички екскурзии и излети
- Закони од интерес за работата на училиштето.

## Прилози

**Прилог 1.** Годишна програма за работа на Директорот
**Прилог 1.2.** Годишна програма за работа на стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор-рехабилитатор, училишен библиотекар)
**Прилог 1.3** Годишна програма за работа на Училишниот Одбор
**Прилог 1.4** Годишна програма за работа на Совет на родители
**Прилог 1.5** Годишна програма за работа на Наставнички Совет
**Прилог 1.6** Годишна програма за работа на Стручни активи
**Прилог 1.7** Годишна програма за работа на Одделенски совети
**Прилог 1.8** Годишна програма за работа на Училишен инклузивен тим
**Прилог 1.9** Годишна програма за работа на Хор и оркетар
**Прилог 1.10** Годишна програма за работа на заедница на паралелка
**Прилог 1.11** Годишна програма за работа на Ученички Парламент
**Прилог 1.12** Годишна програма за работа на Ученички Правобранител
**Прилог 2.** Распоред на часови
**Прилог 3.** Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
**Прилог 4.** Програми за вонннаставни активности
**Прилог 5.** Програма за додатна настава
**Прилог 6.** Програма за дополнителна настава
**Прилог 7.** Програма за вонучилишни активности
**Прилог 8.** Програма за реализација на ученички натпревари
**Прилог 9.** Програма за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција
**Прилог 10.** Проекти што се реализираат во основното училиште
**Прилог 11**. План за поддршка на учениците и подобрување на резултатите
**Прилог 12.** План за професионална ориентација на учениците
**Прилог 13.** План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и напуштање, спречување дискриминација
**Прилог 14.** План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
**Прилог 15.** План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работа на воспитно- образовниот кадар
**Прилог 16.** Програма за самоевалуација на училиштето
**Прилог 17.** Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
**Прилог 18.** Распоред на дежурни наставници
**Прилог 19.** План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
**Прилог 20.** Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
**Прилог 21.** Програма за професионален и кариерен развој на воспитно- образовниот кадар
**Прилог 22.** Програма за соработка на основното училиште со родителите/ старателите
**Прилог 23.** Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница
**Прилог 24.** Програма за грижата за здравјето на учениците
**Прилог 25.** Програма за јавна и културна дејност на училиштето
**Прилог 26.** Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

## Прилог 1. Годишна програма за работата на Директорот

Во рамките на оваа подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органите на управување (Училишен одбор, стручни органи, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

| | | |
|---|---|---|
| **А** | | **Административно-организаторска работа** |
| | **I.** | **Административна работа** |
| | **II** | **Организационо-техничко средување на училиштето** |
| | **III** | **Административно-правна работа** |
| | **IV** | **Документација и евиденција** |
| **Б** | | **Педагошко-инструктивна работа** |
| | **I** | **Концепциско – програмско** |
| | **II** | **Следење на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето** |
| | **III** | **Работа со наставници - педагошки увид во наставата** |
| | **IV** | **Работа со стручни органи ви училиштето** |
| | **V** | **Работа со ученици и ученички организации** |
| | **VI** | **Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето** |
| | **VII** | **Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од училиштето** |
| | **VIII** | **Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар** |
| | **IX** | **Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници** |
| | **X** | **Соработка со родителите на учениците** |
| | **XI** | **Други работни задачи на директорот** |

По потреба Годишната програма за работа на директорот може да претрпи промени во склоп со актуелни тековни проблематики и информации од воспитно образовната дејност.

## Оперативна програма за работа на директорот

| Водство | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр | Програмска содржина | Време | Соработници |
| 1. | Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето | IX | Стр. Служба<br>Наставници |
| 2. | Подготвување на концепција за распределба на :<br>• Наставни предмети;<br>• Фонд на часови. одд. раководства;<br>• Одговорни на стручни активи;<br>• Одговорни за релизација на подрачја од воспитно- образовната работа;<br>-Тимови- комисии за релизација на подрачја од воспитно- образовната работа | IX | Стр. Служба<br>Наставници |
| 3. | Координирање при изготвување на:<br>• Распоред на часови;<br>• Распоред на додатна, дополнителна настава;<br>• Распоред на слободни ученички активности | IX | Наставници |
| 4. | Изготвување на програма за работа | IX | |
| 5. | Изготвување на план на училиштето за самоевалуација и развоен план на училиштето | IX | Стр. Служба<br>Наставници |
| 6. | Следење, контрола и анализа на водењето на педагошката документација | IX-VI | Стр. Служба |
| 7. | Изготвување на план за стручно усовршување на наставниот кадар и стручните соработници | XI | Стр. Служба |
| 8. | Обезбедува визијата на училиштето да биде јасно прифатена од сите учесници во ВОР<br>-влијае вработените да ги практикуваат прифатените вредности<br>-ја унапредува демократската клима преку операционализирање на процедури, делегирање на одговорности и водачи на тимови | IX-VI | Стр. Служба<br>Наставници<br>Тимови<br>Комисии |
| 9. | Остварува континуирана соработка со органите и телата во училиштето | IX-VI | Стр. Служба<br>Наставници<br>Тимови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Комисии<br>Одделенски совети<br>Наставнички совет<br>Ученички парламент<br>Совет на родители<br>Училишен одбор |

| Раководење со човечките ресурси | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработн.** |
| **1.** | Следење на прописи, написи за работата и програмирањето на работата на стручните органи и тела, нивните права, обврски | **IX-VI** | Стр.Служба<br>Наставници<br>Секретар |
| **2.** | -Планирање,водење на работата на Одделенските совети<br>-Планирање и водење на работата на Наставничкиот совет | **X-VI** | Стр.Служба<br>Наставници |
| **3.** | Следење, насочување и учество во работата на стручните активи | **X-VI** | Стр.Служба<br>Наставници<br>Стр. активи |
| **4.** | Соработка и следење на работата на стручните соработници | **X-VI** | Стр.Служба |
| **5.** | Соработка и следење на работата на одделенските раководители | **X-VI** | Стр. Сл.<br>Н-Р-У |
| **Аналитичко- студиска работа** | | | |
| **Ред бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработници** |
| **1.** | Самоевалуација и развојно планирање на работата на училиштето | **IX** | Тим за СеУ<br>Тим за ПлРУ |
| **2.** | Сеу по календар за работа и евалуација | **X- VI** | Тим |
| **3.** | Изготвување информации, осврти, анализи и извештаи за работата на училиштето по квалификациони периоди | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **4.** | Опременост на кабинетите и условите за работа во училиштето | **VIII, I.VI** | Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | Успехот и поведението на учениците на квалификационите периоди, полугодие и крајот на учебната година | **XI, I, IV, VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **6.** | Следењето на реализацијата на зацртаните приоритети | **XI, I, VI** | Стр. Служба |
| **7.** | Следењето на реализацијата на проектите во училиштето | **VI** | Стр. Служба |
| **8.** | Реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето | **I, VI** | Стр. Служба |
| **9.** | Анализа на тематски и дневни подготовки | **X-VI** | Стр. Служба |
| **Соработка со родители, ученици и локалната заедница** | | | |
| **Ред бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработн.** |
| **1.** | Планирање и следење на реализацијата на општите родителски средби | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **2.** | Планирање на форми за соработка со родителите- трибини, работилници, индивидуални средби | **VIII-VI** | Стр. Служба<br>Наставници<br>Родители |
| **3.** | Соработка со Ученичкиот парламент, паралелки, групи или индивидуално | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Наставници<br>Ученици |
| **4.** | Соработка со МОН и БРО на РСМ, одговорен советник на училиштето | **IX-VI** | МОН, БРО советник |
| **5.** | Соработка со основни и средни училишта | **IX-VI** | ОУ |
| **6.** | Соработка со актив на директори на основни и средни училишта | **IX-VI** | Директори |
| **7.** | Соработка со локална самоуправа, градоначалник на Општина Гази Баба | **IX-VI** | Општина Гази Баба |
| **8.** | Соработка со институции од интерес на воспитно- образовната дејност: Центри за социјални работи, Завод за ментално здравје, УНИЦЕФ, ДКЦ Карпош, библиотеки, кина, музеи; Црвен крст, википедија | **IX-VI** | Институции |
| **Стручно усовршување на наставнот кадар** | | | |
| **1.** | Поттикнување на наставниот кадар и стручните соработници кон самоусовршување, посета на семинари | **IX-VI** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Опременост на училишната библиотека со стручна литература | **IX-VI** | |
| **3.** | Следење на реализација на програмата на стручните активи | **IX-VI** | |
| **4.** | Опременост на училиштето со нагледни средства, изработка на истите | **IX-VI** | |
| **5.** | Увиди на наставни часови кај сите наставници и работата на стручните соработници преку непосредни увиди и консултативна работа за подобрување на стручните компетенции на сите вклучени во непосредната воспитно- образовна работа. | | |
| **Педагошко раководење** | | | |
| **Ред. бр** | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработници** |
| **1.** | -Следење на планирањата според наставните планови и програми (глобални, тематски и дневни)<br>-Следење на реализацијата на наставата<br>-Следење на континуитетот и квалитетот на оценувањето на учениците (критериуми, инструменти, јавност, објективност)<br>-Следење на примената на формативното и сумативното оценување<br>-Следење на квалитетот на наставничките портфолија и досиеа<br>-Анализа со констатации за реализација на училишното оценување<br>Сопствено стручно усовршување за стекнување на стручни знаења од област на:<br>- Следење и вреднување на воспитно-образовната работа<br>-Педагогија, психологија, методика, социологија, дидактика, андрагогија, докимологија; | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **2.** | Следење на примената на активни методи и ИКТ во наставата | **X-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **3.** | Увид во планирањата на наставниот кадар и стручните соработници | **X-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **4.** | Увид во планирањата и реализацијата на додатна, дополнителна настава и слободните ученички активности | **X-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **5.** | Увид во водењето на одделенските дневници и матичните книги | **X-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |
| **6.** | Посета на наставни часови со цел утврдување на:<br>•Примена на активни форми на работа во наставата<br>•реализирање на целите на часот; | **X-VI** | Стр. Служба<br>Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | •примена на нагледни средства и ИКТ во наставата;<br>•Примена на диференцирани цели во наставата<br>•Следење на активност на определени ученици; | | |
| **7.** | Опременост на училиштето со нагледни средства, изработка на истите | **IX-VI** | Наставн.<br>Родители |
| **8.** | Следење на примена на техники за формативно-сумативно оценување | **IX-VI** | Стр. Сл<br>Наставн.<br>Родит. |
| **9.** | Ги насочува наставниците и стручните соработници кон професионален развој преку изработка на лични картони за професионален развој, учествува во изработка на акциски планови за професионален развој, организира и реализира различни форми на професионален развој преку работилници, обуки и интерни семинари | **IX-VI** | Тим за Професионален развој |
| **10.** | Реализација на програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници<br>-дисеминации кои се реализираат по обуки од МОН и БРО на РСМ | **IX-VI** | Тим за Професионален развој |
| **ДРУГИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ<br>(финансиско раководење и законито и административно работење на ООУ)** | | | |
| | **Програмска содржина** | **Време** | **Соработн.** |
| **1.** | Обезбедување и подобрување на материјално-техничките услови за работа на училиштето | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Наставн.<br>Техн.пер |
| **2.** | Следење и увид во работата на административната служба во училиштето | **IX-VI** | Секретар |
| **3.** | Следење и увид во финансиското работење на училиштето | **IX-VI** | Секретар<br>Сметков. |
| **4.** | Активно учество во работата на:<br>• Ученички парламент<br>• Советот на родители во училиштето;<br>• Училишниот одбор | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Настав.<br>Родит. |
| **5.** | Грижа за хортикултурно уредување на училиштето и училишниот двор | **IX-VI** | Наставници<br>Родители |
| **6.** | Грижа за безбедноста на училиштето | **IX-VI** | Чувар |

## Прилог 1.2 Годишна програма за работа на стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор-рехабилитатор, училишен библиотекар)

### Годишна програма за работа на педагогот во учебната 2023/ 2024година

Програмата за работа на педагогот е изработена во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 год., годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година и правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта

**Работни задачи по програмски подрачја**

| Предвидена активност | Соработници | Форма | Време | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***1. Работа со ученици*** | | | | | | |
| 7. | Влијанието на хигиената врз здравјето | Животни вештини | 2-а | Правилна исхрана | 1 | ноември, 2023 |
| 8. | Влијанието на човекот врз средината | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | |

**IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР**

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Важноста на дворот | Ликовно | 2б, 2-алб | Контраст на бои<br>Цветна градина – колаж | 1+1 | март,2024 |
| 2. | Биодиверзитетот во дворот | Македонски јазик | 5-а, 5-б, 5-алб | Интерпретација на текст<br>,, Еко – акција,, | 1+1+1 | март,2024 |
| 7. | Наводнување на зелени површини | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Хортикултурно уредување | Ликовно образ | 2-а, | Контраст на бои – Цветна градина– колаж (сликање) | 1 | март,2024 |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## V. ТЕМА: ОТПАД

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови отпад | | | | | |
| 3. | Секлекција на отпад | | | | | |
| 4. | Рециклирање | Ликовно образование | 4-а, 4-б, 4-алб | ,, Од отпад до сувенир ,, | 1+1+1 | февруари,2024 |
| 9. | Изработка на упатства за управување со отпад | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Еколошки акции | Ликовно | 1-а, 1-б, 1-албанско | Моето училиште | 1+1+1 | Март,2024 |
| 4. | Влијание на човекот врз биодиверзитет | | | | | |
| 7. | Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот | | | | | |
| 8. | Изработка на упатства за заштита на биодиверзитетот | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Влијанието на транспортот врз здравјето | Општество | 3 – алб | Користење на велосипед | 1 | април,2024 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Видови транспорт | Ликовно образование | 3б | Дизајн: ,,Сувоземни сообраќајни средства“ (неупотрбливи предмети) | 2 | |
| | | Англиски јазик | 2-а, 2-б, 2-алб | Вокабулар транспорт | 1+1+1 | Мај,2024 |
| | | Општество | 1-а, 1-б, 1-албанско | Сообраќајни превозни средства | 1+1+1 | мај,2024 |
| 3. | Влијание на транспортот врз животната средина | Општество | 3 – алб | Возила на сообраќајот | 1 | мај,2024 |
| | | Македонски јазик | 5-а, 5-б, 5-алб | Јавен превоз и велосипед | 1+1+1 | Септември, 2023 |
| | | | | | | |
| 5. | Транспортот и безбедноста | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Органска храна | | | | | |
| 5. | Влијание на физичката активност врз здравјето | Природни науки | 2б, 2-алб | Стекнување навики за здрава храна | 1+1 | Октомври 2023 |
| | | Животни вештини | 3б | Јас и здравјето-Здраво живеење Квиз со храна | 1 | Ноември 2023 |
| 8. | Изработка на упатства за користење на здрава храна | Физичко обр. | 2а, 2б, 2-алб | Еко пораки | 1+1+1 | Април 2024 |
| 4. | Пирамида на исхрана | Природни науки | 1-а, 1-б, 1-албанско | Здрава храна | 1+1+1 | декември,2023 |
| | | Природни науки | 4-а, 4-б, 4-алб | Здрава храна | 1+1+1 | мај,2024 |
| | | Ликовно образование | 5-а, 5-б, 5-алб | Здрава храна – здрав оброк | 1+1+1 | мај,2024 |
| | | Физичко обр. | 3а,3б,3алб | Здрав оброк | | Март,2024 |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## IX. ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

| Еколошки содржини | | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | Рационално користење на природните ресурси | | | | | |
| **2.** | Важност од зачувување на природните живеалишта | | | | | |
| **6.** | Одговорност кон животната средина | | | | | |
| **7.** | Одговорна и рационална потрошувачка | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

**Училиште „Његош“ Општина Гази Баба**
**Учебна година 2023/2024**
**(предметна настава)**

## I. ТЕМА: ВОДА

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Значење на водата за живиот свет | Природни Науки | 5б, 5алб | Кондензација и воден циклус | 1 | Септември, 2023 |
| | Географија | 9 | Влијанието на глобалното затоплување врз животот на поларните области | 1 | Мај,2024 |
| | Историја | 6 | Значење на водата за најстарите цивилизации | 1 | Ноември,2023 |
| | Природни науки | 5б | Фактори за растење на растенијата | 1 | Мај,2024 |
| | Англиски јазик | 5 | Cows are fatter than goats! | 1 | Ноември,2023 |
| **2** Извори на вода и нивна искористеност | Хемија | 8 | Глобално затоплување | 1 | Април,2024 |
| **3** Загадување на водата | Хемија | 8 | Состав на водата | 1 | Мај,2024 |
| **4.** Рационално користење на водата | Проекти од информатика | 9 | Проекти со програма за табеларни пресметки | 1 | Мај,2024 |
| | Математика | 7 | Волумен на течност | 1 | Декември 2023 |
| | Географија | 6 | Подземни води и извори | 1 | Февруари,2024 |
| | Математика | 8 | Мерење и решавање проблеми, Текстуални задачи од мерни единици | 1 | Ноември 2023 |
| **ВКУПНО** | | | | | |

## II. ТЕМА: ЕНЕРГИЈА

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Значење на енергијата за живиот свет | Физика | 8 | Зачувување на енергијата | 1 | Февруари 2024 |
| | Англиски јазик | 5 | I don't like Science! It's boring! | 1 | Февруари 2024 |
| | Македонски јазик | 6 | Рецитирање и анализа на песната "Нашето сонце" | 1 | Септември, 2023 |
| **4.** Рационално користење на енергијата | Природни Науки | 6а,б | Штедење енергија | 1 | Декември, 2023год |
| | Техничко образование | 5 | Користење на енергијата на сонцето , водата и ветерот . | 1 | Март,2024 |
| | Физика | 9 | Обновливи и необновливи извори на енергија | 1 | Декември 2023 |
| | Македонски јазик | 9 | Звучни ефекти во филмот | 1 | Февруари 2024 |
| **8.** Подигање на свеста на поширокатa заедница(домот,локалната заедница и сл.) | Техничко образование | 6 | Заштеда на енергијата во градежништвото | 1 | Февруари 2024 |
| | Македонски јазик | 7 | Творење потски творби | 1 | Октомври,2023 |
| | Македонски јазик | 9 | Писмена вежба „Јас новинар-известувач" | 1+1 | Септември, 2023 |
| **13.** Енергијата и одржливиот развој | Историја | 8 | Втората индустриска револуција и значењето на енергијата за живиот свет | 1 | Септември ,2023 |
| | Македонски јазик | 9 | Анализа на лектирата "Старецот и морето" | 1 | Декември 2023 |
| **ВКУПНО** | | | | | |

## III. ТЕМА: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО/ГРАДИНКАТА

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Зажноста на хигиената во зградата | ОЖВ | 6 | ТЕМА V: ЈАС И ОКОЛИНАТА-ОДНОС СО НАДВОРЕШНАТА СРЕДИНА „Во училницата“- V-2.5 (стр. 294) | 1 | Мај,2024 |
| | Техничко образование | 5 | Култура на работа – училишна работилница | 1 | Септември, 2023 |
| | Англиски јазик | 6 | Обработка на дијалог и граматички структури со МОРА и НЕ СМЕЕ | 1 | Март,2024 |
| **4.** Неупотребливи предмети | Ликовно образование | 6 | Цртање и сликање – дизајн, мозаик, форма и видови на форми | 1 | Декември, 2023 |
| **7.** Влијанието на хигиената врз здравјето | Етика | 7 | Денешна етика-Еколошка етика | 1 | Март, 2024 |
| **8.** Влијанието на човекот врз средината | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | |

## IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Зажноста на дворот | Математика | 6 | Плоштина | 1 | Декември 2023 |
| | ОЖВ | 6 | ТЕМА V: ЈАС И ОКОЛИНАТА-ОДНОС СО НАДВОРЕШНАТА СРЕДИНА „Раскреваме“- V-2.1(стр.290 290) | 1 | Јуни,2024 |
| | Физичко | 6 | Еко акција-чистење на дворот | 1 | Октомври, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | образование | | | | 2023 |
| **2.** | Биодиверзитетот во дворот | | | | | |
| **7.** | Наводнување на зелени површини | Музичко образование | 9 | d-moll природен и хармонски вид во песна – „Развила гора зелена“ и „Спомен чешма“- обработка по слух | 1 | Ноември, 2023 |
| **8.** | Хортикултурно уредување | Музичко образование | 8 | Обработка на песна „Роза сина” по слух | 1 | Ноември |
| | | Воспитание за околината | 7 | Градина во школски парк | 1 | Февруари, 2024 |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## V. ТЕМА: ОТПАД

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Видови отпад | | | | | |
| **3.** | Секлекција на отпад | Француски | 9 | Градење позитивен однос кон околината | 1 | Мај,2024 |
| **4.** | Рециклирање | Музичко образование | 7 | Народни музички инструменти-општи карактеристики | 1 | Април,2024 |
| **9.** | Изработка на упатства за управување со отпад | Етика | 7 | Денешна етика-Еколошка етика | 1 | Март, 2024 |
| | | Македонски јазик | 6 | Пишувам расказ | 1 | Ноември, 2023 |
| **ВКУПНО** | | | | | | |

## VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** Еколошки акции | Македонски јазик | 7 | Соопштение, вест, извештај | 1+1 | Мај,2024 |
| **4.** Влијание на човекот врз биодиверзитет | Биологија | 9 | Зачувување(конзервација) на загрозени видови животни | 1 | Мај,2024 |
| | ОЖВ | 8 | Однос со надворешната средина, Градење позитивен однос кон животните и растенијата | 1 | Мај,2024 |
| **7.** Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот | ОЖВ | 7 | Грижа за хигиената во околината | 1 | Мај,2024 |
| | Физика | 9 | Како ја користеме енергијата | 1 | Декември 2023 |
| **8.** Изработка на упатства за заштита на биодиверзитетот | Географија | 7 | Заштита на животинскиот и растителниот свет | 1 | Мај,2024 |
| **ВКУПНО** | | | | | |

## VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** Влијанието на транспортот врз здравјето | Англиски јазик | 5 | I want to be a fire fighter! | 1 | Март,2024 |
| **1.** Видови транспорт | Ликовно образование | 7 | Цртање и сликање-боја,хармонија и контраст на бои и тонови-видови транспорт | 1 | Ноември, 2023 |
| | Англиски јазик | 9 | Т2 Зборување за патување, туризам,транспорт | 1 | Декември, 2023 |
| | Техничко образование | 5 | Велосипед –технички карактеристики и одржување | 1 | Мај,2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Физичко образование | 7 | Велосипедизам-безбедно возење | 1 | Јуни, 2024 |
| | Математика | 9 | Работа со податоци и решавање проблеми. Избира, црта и толкува дијаграми и графици | | Декември, 2023 |
| **3.** Влијание на транспортот врз животната средина | Биологија | 7 | Како луѓето го загадуваат воздухот | 1 | Јуни,2024 |
| | Географија | 9 | Аерозагадување,сериозен проблем на азиските земји | 1 | Ноември, 2023 |
| | Етика | 7 | Денешна етика-Еколошка етика-Биоетика | 1 | Март,2024 |
| **5.** Транспортот и безбедноста | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | |

## VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** Органска храна | Проекти од информатика | 9 | Проекти со програма за мултимедиални презентации | 1 | Март,2024 |
| | Англиски јазик | 5 | I've got a sore throat! | 1 | Април,2024 |
| | Унапредување на здравјето | 8 | Здрава Исхрана/мени со здрава исхрана | 1 | Декември,2023 |
| | Етика | 7 | Денешна етика-Еколошка етика-Биоетика | 1 | Март, 2024 |
| **5.** Влијание на физичката активност врз здравјето | Етика во религиите | 6одд | Чувај го дарот на животот и животот на другите | 1 | Мај,2024 |
| | Ликовно образование | 8 | Цртање-боја,хармонија и контрастна бои и тонови | 1 | Септември, 2023 |
| | Ликовно образование | 9 | Цртање-боја,хармонија и контрастна бои и тонови | 1 | Септември, 2023 |
| | Француски | 9 | Навики за здрав живот –прилози | 1 | Ноември,20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за начин | | 23 |
| | Физичко образование | 8 | Атлетски маратон-трчање на кратки и долги стази | 1 | Април, 2024 |
| **8.** Изработка на упатства за користење на здрава храна | Биологија | 8одд | Составни делови на избалансирана исхрана | 1 | Ноември, 2023 |
| | Англиски јазик | 6 | Истражување на храната, добри и лоши навики во исхраната | 1 | Јануари, 2024 |
| **4.** Пирамида на исхрана | О\|ЖВ | 7 | Стекнување навики за здрава исхрана | 1 | Април 2024 |
| | Француски | 9 | Давање на совети за здрав живот и здрава исхрана | 1 | Ноември, 2023 |
| | Унапредување на здравјето | 8 | Пирамида на исхрана | 1 | Ноември, 2023 |
| | ОЖВ | 8 | Здраво живеење, Стекнување навики за здрава исхрана | 1 | Април,2024 |
| **ВКУПНО** | | | | | |

## IX. ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

| Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** Рационално користење на природните ресурси | | | | | |
| **2.** Важност од зачувување на природните живеалишта | Македонски јазик | 7 | Интерпретација на текстот „Малата жетварка“ | 1+1 | Јануари,2024 |
| **6.** Одговорност кон животната средина | Француски | 9 | Заштита на планетата Земја | 1 | Мај,2024 |
| | Англиски јазик | 9 | Т4 Обработка на вокабулар за природа и околина | 1 | Мај,2024 |
| | Физичко образование | 6 | Совладување на предвидените задачи во природни услови | 1 | Мај. 2024 |
| **7.** Одговорна и рационална потрошувачка | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | |

**Изготвил:** Еко -одбор ООУ” Његош”

# ЕКО КАЛЕНДАР
# ООУ „Његош“ -Јурумлери

**22 СЕПТЕМВРИ**
**– ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ**

**3 НОЕМВРИ – СВЕТСКИ ДЕН НА ЧИСТИОТ ВОЗДУХ**

**СЕПТЕМВРИ**
**– ДА ГО ИСЧИСТИМЕ СВЕТОТ**

**5 МАРТ-СВЕТСКИ ДЕН ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈАТА**

**26 СЕПТЕМВРИ**
**– ДЕН НА ЧИСТИ ПЛАНИНИ**

**21 МАРТ**
**-ДЕН НА ПРОЛЕТТА**

**15 ОКТОМВРИ**
**– МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПЕШАЧЕЊЕТО**

**22 МАРТ**
**– СВЕТСКИ ДЕН НА ВОДИТЕ**

**16 ОКТОМВРИ**
**– СВЕТСКИ ДЕН НА ХРАНАТА**

**7 АПРИЛ**
**– СВЕТСКИ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО**

**22 АПРИЛ**
**СВЕТСКИ ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА**

**31 М АЈ– СВЕТСКИ ДЕН НА БОРБА ПРОТИВ ПУШЕЊЕТО**



**5 ЈУНИ – СВЕТСКИ ДЕН НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

## Проект за работа со ранливи групи на ученици

| Цели | Содржина | Реализатор | Време | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на наставниците за работа со ранливи групи на ученици | -дефинирање на ранливи групи<br>-препознавање на карактеристиките на ранливи групи на ученици<br>-видови на ранливи групи на ученици со акцент на деца од социјално загрозени ромски семејства | Психолог<br>Педагог<br>Одд. наставници | **IX-X** | -наставниците ги препознаат ранливите групи на ученици<br>-доставување на список деца од социјално загрозени ромски семејства до МОН |
| Евидентирање на ранливи групи на ученици; | - социометриска метода<br>- инструменти<br>- присуство на родителски средби<br>-СКР со одделенски раководители | тим | **XI- XII** | Запознавање со структурата и видот на ранливите групи на ученици по одделенија и паралелки |
| Организација и реализација на работилници со ранливи групи на ученици и нивни родители | -советодавна работа<br>-едукативни предавања<br>-техники на учење<br>-мотивација и самодоверба | тим<br>ученици<br>родители | **X- VI** | Помош на учениците во надминување на проблемите<br>Стекнување на техники на учење, мотивација и самодоверба |
| Изработка на индивидуални инструменти и програми за работа со ранливи групи на ученици | - утврдување на постапки за работа со работа со ранливи групи на ученици | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **I-V** | инструмент за следење и вреднување на ранливите групи на ученици |
| Евалуација на програмата за работа со ранливи групи на ученици | -утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата;<br>-конципирање развоен план за работа со ранливи групи на ученици | Тим<br>Стручна служба<br>наставници | **VI-VIII** | -Изработка на индивид. планови за ранливи групи на ученици<br>-Подобрување на постигањата,мотивацијата и самодовербата |

## Прилог 11. План за поддршка на учениците и подобрување на резултатите

**Одговорен наставник: Фатмире Подграѓа**

**Цели на превентивните активности се:**

- Изградување психо- физички здрава личност, способна да се грижи за сопственото и здравјето на своите блиски-семејството;
- Подобрување на хигиенските услови и епидемиолошка заштита;
- Зголемување на фондот на здравствени знаења на учениците;
- Формирање на здрави хигиенски навики и ставови кај учениците;
- Превенција од заразни и инфективни болести;
- Превенција од болести на зависности, ХИВ-СИДА и сексуално преносливи болети
- Заедничко, синхронизирано делување на училиштето,семејството и општеството;

**Задачи на училишната превентивна програма**

1. свесност за проблемите на зависностите во било која форма
2. усвојување на социјално однесување и социјални и комуникациски вештини
3. усвојување на вештини за решавање на проблеми, конфликти
4. совладување на техники за препознавање на стресот и ослободување од него
5. стекнување на умеења да се одбие неприфатливо и ризично дружење
6. усвојување на здрави животни стилови, организирање и поминување на слободното време на општествено прифатлив и пожелен начин.

**Носители:**

- сите наставници
- стручните соработници
- социјалните служби
- МВР
- клубови, здруженија, НВО
- Општински Црвен Крст

**Елементи на училишната програма за превенција**

- организација на слободното време
- поттикнување на успешно родителство
- дискреција и заштита на податоци од советодавната работа
- запирање на процесот на одделување на проблематичните деца
- ученичката заедница како тераписка група
- рано откривање на детската депресија и други ментални нарушувања
- помош во решавање на ненадејни семејни и средински кризни ситуации
- континуирано следење на можната употреба на опојни средства,
- одбележување на значајни датуми поврзани со здравствената заштита
- следење на интереси на младите низ медијски програми, социјални мрежи
- дебати за одредени стилови на живот, зависност од обложување

## Прилог 12. План за професионална ориентација на учениците

| Активности | Цели | Носители на активности | Форми /Методи на работа | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| САМОСПОЗНАВАЊЕ | | | | | | |
| Вовед во професионална ориентација – „Зошто е важен вистински избор на професија и образование“ | Подигнување на свеста за важноста на вистински избор на образование и професија,<br>Поим за професионална иреинтација како интегративен пристап во одлучувањето | Стручни соработници, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Презентација „Одберете професија за себе“<br>Дискусија, | Microsoft office - Power Point | Развивање на самосвест за самостојно одлучување за избор на образование и важност за вистински избор на образование | |
| Примена на стандардизиран психолошки тест на личност за процена на личните карактеристики | Самоспознавање на личните особености и карактеристики | Стручни соработници, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Forms/ електронска форма на тестот, | Психолошки тест на личност NEO-PI-R | Увид во личните потенцијали и карактеристики,<br>Увид во усогласеноста на личните карактеристики и актуелните аспирации | |
| Примена на диференцијални професионални тестови за процена на професионални интерси и спосбности | Диференцијална процена на професионалните интереси и способности | Психолог, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Он лине тестовна проценка | Стандардизирани тестови за процена на професионалниинтереси и способности | Увид за специфични професионални интереси и способности | |
| Примена на проективна техника како механизам за увид во личните професиоанални интереси | Откривање на интрапсихички интереси, желби и склоности | Психолог, Одделенски раководители, Ученици од осмо и деветто одделение | Microsoft- 365 | Проективен есеј „Мојот професиоанлен простор“ | Спознавање на личните интереси, желби и склоности | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ | | | | | | |
| Презентирање на средните училишта | Запознавање со можностите и условите кои ги имаат училиштата | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Професори, стр. соработници од средните училишта | Презентации, Панел дискусии, | Microsoft office - Power Point, Брошури, | Препознавање на различни можности за образование согласно професионалните интеррси и желби | |
| Презентирање на реални професии од страна на родителите | Запознавање на професиите и нивните реални квалификациони рамки | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници Родители | Презентации, Панел дискусии, | Microsoft office - Power Point, Техничка поддршка | Целосен увид во можностите, позитивните и негативните страни на секоја професија, Запознавање со актуелни професии, Тренд на варијабилност со текот на времето | |
| Посета на фирми, претпријатија, институции, занаетчиски обуки, отворени денови за информирање | Запознавање со профилите на образование и работа, од аспект на културна, економска и социјална гледна точка | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници Работодавци | Презентации, Размена на икуства, Дискусии, | Техничка поддршка, | Целосен увид во можностите, позитивните и негативните страни на секоја професија, Запознавање со актуелни професии, Тренд на варијабилност со текот на времето | |
| ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА | | | | | | |
| Акета за избор на посакувано училиште | Конкретизирање на желбите и интересите за избор на соодветно | Одделенски раководители, Ученици од | Структурирана анкета за избор на образование | Microsoft- 365/ on line анкета или | Приближување на конечната одлука за изборот на | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование | деветто одделение Стручни соработници | | Печатени анкетни листови | образование | |
| Соработка со родителите за поддршка во донесување на самостојна одлука од страна на учениците за избор на посакувано училиште | Неутрализирање на родителското влијание врз изборот на професија, Улогата на родителското влијание во поддршаката на изборот на образование/професија | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници | Презентација Панел дискусии Советодавна-консултативна соработка | Microsoft office - Power Point | Поттикнување на родителската улога во поддрша на изборот на професија, но не и директно влијание | |
| Индивидуална соработка и консултација согласно потребите на ученииците | Примена на стандардизирани тестови за процена на општа и специфични интелектаилни потенцијали | Ученици од деветто одделение Стручни соработници | Процена на способностите преку стандардизиран тестовен материјал | Стандардизиран тестови за општи и специфични способности Батерија ДАТ –Тест на интелигенција | Увид во специфичните и општите IQ потенцијали | |
| Сумирање на сите активности/резултати (лични к-ки, потенцијали, способности, професионални интереси, аспирации, можности) | Интерпретација на резултатите од сите активности во делот на лични к-ки, потенцијали, способности, интереси, аспирации, можности | Одделенски раководители, Ученици од деветто одделение Стручни соработници | | | Конечна одлука во изборот на идно образование/професија | |

**Прилог 13. План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и напуштање, спречување дискриминација**

| ЦЕЛ | ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|---|
| **Создавање на безбедна и стимулативна средина** | - Формирање на училишен тим за превенција од насилство<br>-Изработка на програма за работа<br>-Примена на програма за заштита на децата од Насилство, злоставување<br>Негрижа во училиштето<br>Болести на зависности | -Програма за заштита на децата од насилство<br>-Тим за заштита на од насилство<br>-Тим на врсници<br>- Мрежа и ланец на одговорности во ситуации на насилство,<br>-Формирање база на податоци | Наставници, родители, локална заедница, ученици | IX<br><br>IX-VI |
| **Обезбедување на просторот во кој престојуваат учениците, во и вон училиштето** | -Обезбедување на просторот<br>-Унапредување на нивоа на безбедност на физичката средина<br>-Следење на случувањата и видео надзор<br>-Обезбедување на места | Обезбедување на местата во зградата, дворот и фискултурната сала<br><br>Дежурни наставници и технички персонал<br>Родители | Наставници, Родители, МВР | IX-VI |
| **Создавање на свест за потреба од безбедност** | - Тим на врсници<br>- Примена на вештини за решавање на конфликти | -Ученици кои учествваат во активностите на училиштето (форум, маскенбал, фер плеј утакмици, работилници ) | Наставници, Одд.раков., ПП служба, Родители, | IX-VI |
| **Стручни предавања** | -Предавања од релевантни институции, стручната служба за : ученици, родители, наставници | -Анкети<br>-Партиципација на ученици, родители и наставници во активностите | Институции<br>Стручна служба<br>Совет на родители<br>УП | IX-VI |

| АКТИВНОСТИ | СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| Примена на програма за заштита на децата од насилство | Наставници, родители, локална заедница | IX |
| Обезбедување на просторот во кој престојуваат учениците | Наставници, родители, локална заедница | IX<br>IX-VI |
| Унапредување на контакти и соработка со МВР, одд. за малолетничка деликвенција | МВР | X<br>IX-VI |
| Унапредување на безбедноста на физичката средина | Наставници, родители, МВР | IX- VI |
| Континуирано следење на случувањата и бележење со видео надзор | Тим за заштита на учениците | IX-VI |
| Обезбедување на ризичните места во одредени периоди од денот и годината | Тим за заштита на учениците | IX-VI |
| Стручни предавања на тема<br>,,Конфликти и што со нив“, „Безбедност на децата на Интернет“, „Деликвентно однесување“ | Психолог<br>Педагог<br>Наставник | XI ,XII<br>I,II |
| Редослед на постапки во случај на интервенција<br>-процена на нивото на ризик<br>-запирање на насилство и заштитни мерки<br>-информирање на надлежните служби<br>-следење на ефикасноста на мерките | Тим за заштита на учениците | IX-VI |
| Превенција од болести на зависности | Часови на редовна и изборна настава | IX-VI |
| Развој на еколошката свест на учениците | Часови на редовна и изборна настава | IX-VI |
| Превенција од насилство во медиуми и на интернет | Часови на редовна и изборна настава<br>Тим за заштита на учениците | IX-VI |

## Прилог 14. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

Описното и сумативното оценување се следи по квалификациони периоди како што следи:

| Полугодие | Квалификационен период | Термин |
|---|---|---|
| ***I* .полугодие 01.09. 2023- 31.12.2024** | **Прв квалификационен период *Тромесечје*** | **02.11.2023** |
| | **Втор квалификационен период *Полугодие*** | **31.12.2023** |
| ***II* .полугодие 01.01.2024- 10.06.2024** | **Трет квалификационен период *Тромесечје*** | **02.04.2024** |
| | **Четврти квалификационен период *Крај на учебната година*** | **10.06.2024** |

**Прилог 15.План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работа на воспитно-образовниот кадар**

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за поддршка на планирањето за посета на часови | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Анализа на состојбата<br>-Распоред на часови<br>-Стручни материјали<br>-Извештај од посетени часови | -Прашалник за наставниците | Септември | -Увид во планирање и реализација на наставата |
| -Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови<br>-Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на часови | -Директор<br>-Стручни соработници | -Годишни и тематски планирања на наставниците<br>-Дневни подготовки на наставниците | -Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците<br><br>-Инструменти за евалуација на часот | Во тек на годината | -Подобар квалитет во планирањето и реализација на часовите<br>-Користење современи приоди во наставата |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници<br>-Наставници | -Програми и подготовки на наставниците | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти | Јуни | -Подобрување на квалитетот на наставата |

## Прилог 16. Програма за самоевалуација на училиштето

| Цели | Активности | Временска рамка | Носител | Очекувани реултати |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување самоевалуација за работењето на училиштето | Формирање на тимови за самоевалуација за секое од подрачјата и избор на координатори | Реализирано | Наставнички Совет | Успешно спроведена самоевалуација на училиштето за периодот 2020/2022 |
| Да се определат соодветни методи, техники и инструменти за спроведување на самоевалуацијата | Користење методи, техники и инструменти за вршење самоевалуација | Реализирано | Тимови по подрачја | Добивање валидни показатели за работењето на училиштето за тековната учебна година |
| Согледување на силните и слаби страни во работењето на училиштето | Анализа на податоците и документацијата од спроведената самоевалуација | Реализирано | Комисија за самоевалуација | Донесени предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата и изработка на развоен план за тековната година |
| Одредување приоритети по подрачја | Анализа на слабите страни на работата на училиштето | Реализирано | Комисија за самоевалуација | Избрани приоритетни подрачја за промена, согласно наодите од самоевалуацијата и акциските истражувања |

**Интерната евалуација ќе се врши според следниот календар:**

| Активност | Месец на реализација | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | VIII | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
| Изработка на Годишна програма | ☼ | | | | | | | | | | | |
| Распределба на часови | ☼ | | | | | | | | | | | |
| Распределба на одделенски раководства | ☼ | | | | | | | | | | | |
| Изработка на распоред | ☼ | | | | | | | | | | | |
| Изработка на годишни-перспективни планирања | ☼ | | | | | | | | | | | |
| Изработка на тематско-процесни и дневни планирања | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Реализација на редовна настава | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Реализација на изборна настава | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Реализација на додатна настава | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Реализација на дополнителна настава | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Реализација на воннаставни активности | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Примена на ИКТ во наставата | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Увиди на часови | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Примена на формативно оценување | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Сумативно оценување | | | ☼ | | ☼ | | | ☼ | | | ☼ | |
| Учества на натпревари | | | ☼ | ☼ | | | | | ☼ | ☼ | | |
| Работа со ученици со потешкотии | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Работа со надарени ученици | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |

| Активност | Месец на реализација | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | VIII | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
| Работа со ризични групи на ученици | | | ☼ | | ☼ | | ☼ | | ☼ | ☼ | | |
| Изработка на тематски паноа | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Еднодневен излет | | | ☼ | | | | | | | ☼ | | |
| Излети и екскурзии | | | ☼ | | | | | | | ☼ | | |
| Настава во природа | | | | | | | | | | ☼ | | |
| Посети надвор од училиштето | | | ☼ | ☼ | ☼ | | | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Водење на проф. портфолио | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Водење на педагошки картон | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Водење на професионално досие | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Одржување на лична хигиена | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Уредување на училниците | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Избор за најдобро уредена училница | | | ☼ | ☼ | | | | ☼ | | | ☼ | |
| Културни манифестации | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Собирни акции | | ☼ | | ☼ | | ☼ | | | ☼ | | ☼ | |
| Зазеленување на училишниот двор | | ☼ | ☼ | ☼ | | | | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Санации на училишниот простор | ☼ | ☼ | | | | ☼ | | | | | ☼ | ☼ |
| Професионална ориентација | | ☼ | ☼ | ☼ | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Грижа за правата на децата | | | ☼ | | ☼ | ☼ | | | ☼ | ☼ | | |
| Меѓуетнички дијалози и празници | | | ☼ | ☼ | | | | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Информации за работата на училиштето | ☼ | ☼ | | ☼ | | ☼ | | | | ☼ | ☼ | |
| Заштита од елементарни непогоди | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Соработка со семејството | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Соработка со локалната заедница | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Донесување на Програма за развој | | | ☼ | ☼ | | | | | | | | |
| Советување на родители и ученици | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Следење на постигањата на учениците | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |

| Активност | Месец на реализација | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | VIII | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
| Изработка на извештаи | | | | ☼ | | ☼ | | ☼ | | | ☼ | ☼ |
| Советодавна работа со ученици | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Советодавна работа со наставници | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Професионална развој на наставниците и струч. соработници | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Родителски средби | | ☼ | | ☼ | | ☼ | | ☼ | | | ☼ | |
| Приемни денови за родители | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Состаноци на Совет на родители | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | ☼ | | ☼ | | | ☼ | |
| Ден на училиштето | | | | ☼ | | | | | | | | |
| Отворени денови | | | ☼ | ☼ | ☼ | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Работа на Наставнички совет | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Водење на педагошка документација | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Советување на родители | | | ☼ | ☼ | ☼ | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Реализација на еколошки активности | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Реализација на МИО активности | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Сметководствени активности | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Книговодствени активности | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Работа на одделенски совети | | | | ☼ | | ☼ | | ☼ | | | ☼ | |
| Работа на стручни активи | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | |
| Работа на стручна служба | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Работа на Комисија за набавки | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Аналитичко-истражувачка работа | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | | ☼ | ☼ | ☼ | | |
| Работа на Училишниот одбор | | ☼ | | ☼ | ☼ | ☼ | | ☼ | | ☼ | ☼ | |
| СеУ | | ☼ | ☼ | ☼ | | ☼ | | | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |
| Евалуациски активности | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ | ☼ |

## Прилог 17. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Активности и мерки за заштита и спасување во случај на непосредна опасност
- Активности и мерки за заштита и спасување за време на опасност
- Активности и мерки за одстранување на последиците

**Планирање :**
ООУ„Његош“- Јурумлери има изготвено свој план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди, земјотреси, поплави, пожари и др.
При планирањето се земени предвид мерливите елементи како на пример:
- Сеизмичка активност на подрачјето
- Локација на објектот
- Градба на објектот
- Природните ресурси и др.

**План за заштита и спасување**
Планот за заштита и спасување содржи три фази:
1. Превентивни активности и мерки (пред опасноста од природни катастрофи)
2. Оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста)
3. Отстранување на последиците (по опасноста)

Одборот за планирање го сочинуваат вработените во училиштето и претставници од Советот на родители. Оперативниот штаб го сочинуваат директорот, секретарот и тројца наставници. Оперативниот штаб раководи за време на елементарни непогоди, донесува одлуки и одржува комуникации со персоналот и институциите надлежни за природни катастрофи.

**Одбор за планирање**

-Вработените на училиштето
-Претставници на советот на родители

**Задачи**

- Одредување на локации
- Човечки ресурси
- Програма за обука на наставниот кадар
- Програма за обука на советот на родители
- Дефинирање на тимовите и улога на членовите

- Евалуација на целокупната работа

**Оперативен штаб**

Оперативниот штаб го сочинуваат:

-директорот
-секретарот
-тројца наставници

Оперативниот штаб раководи за време на природната катастрофа. Донесува брзи одлуки врз база на проценка на состојбата во училиштето. Во постојана комуникација е со персоналот во училиштето како и со институциите кои се надлежни за заштита и спасување од природни катастрофи.

**Задачи на оперативниот штаб**

-Да ги формира тимовите (екипите) и да ги конкретизира нивните задачи и активности
-Да го води планот за време на природната катастрофа (земјотресот, поплавата) и да прави план за безбедно напуштање на објектот.

**Тим за прва медицинска помош**

Го сочинуваат:

1. Весна Рабан
2. Славица Николовска
3. Бранко Бошковски

Тимот мора да биде оспособен за :
-укажување на медицинска помош
-медицинска грижа (поделба според тежината на повредата)
-згрижување на повредените
Главните задачи на тимот (екипата) се спроведуваат во две фази:
I.Пред природната катастрофа
II.По природната катастрофа

**I.Пред природната катастрофа**

-Определува и набавува потребен медицински материјал
-Изработува програма за здравствената состојба на учениците и вработените (ги евидентира здравствените проблеми)
-Ги обезбедува телефонските броеви од медицинските установи
-Организира обука за прва медицинска помош на вработените кои се вклучени во екипата
-Во соработка со Црвениот крст организира обука и предавање за учениците за згрижување на заболените и повредените.

**II. По природната катастрофа**

-По природната катастрофа го известува директорот (оперативниот штаб) за бројот на повредените и видот на повредите и делува според планот за заштита и спасување
-Укажува прва помош на повредените лица на самото место врши тријажа (поделба според тежината на повредата) на повредените.
-Врши извлекување и транспорт до најблиските медицински центри
-Бара помош од здравствените институции.

**Тим за спасување од природни катастрофи**

**Тимот го сочинуваат:**

**1**. Весна Рабан
2. Славица Николовска
3. Бранко Бошковски

Овие лица треба да ги познаваат правилата за пребарување и откривање на повредените (затрупаните или поплавените) како и можни жртви.

Овој тим треба да биде опремен со алати за барање и расчистување со средства за спасување и извлекување.

Главните задачи на овој тим се спроведуваат во две фази:

**I.Пред природната катастофа**

- Превземање на мерки и активности за заштита од уривање или поплава
- Учество во набавка на опремата за откривање, пребарување,
- Расчистување и извлекување

**II. После природната катастрофа**

- Врши прегледување на објектот и урнатините, постапува според планот
- Ги проверува сите простории во објектот
- Пронаоѓа затрупани, поплавени го известува тимот за прва медицинска помош и ги извлекува затрупаните т.е поплавените
- Го известува Оперативниот штаб за оштетувањето на објектот
- Врши заштита (осигурување) на оштетени делови од зградата

**Тим за против пожарна заштита и одржување**

Тимот го сочинуваат:

1.Весна Рабан
2. Даниела Павлеска
3. Монтено Максимовски

## Прилог 18. Распоред на дежурни наставници

| | Дел | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **приземје** | **главен влез на училиштето** | Сања Орчевска | Мартин Костоски | Елена Јовановска Миливојевиќ | Весна Митровска Дошева | Зорица Димитриевска Пршевска |
| **приземје** | **нов дел** | Даниела Павлеска | Петар Ристовски | Александар Илиевски | Валентина Манева | Стевче Здравковски |
| **Спрат** | **нов дел** | Данијела Величковска | Зорица Стевковска | Весна Рабан | Никола Настевски | Марјан Орчевски |
| **приземје** | **нов дел** | Стефани Илиевска | Сузана Малинова | Монтено Максимовски | Омер Сељими | Мирјана Србиновска |
| **приземје** | **стар дел** | Виолета Симоновска | Иса Амети | Славица Николовска | Светлана Апостоловска | Убавка Наумовска |
| **приземје** | **стар дел** | Флора Јусуфи | Тања Стојкоска Јовеска | Фатмире Подграѓа | Мевљуде Фејзулаху | Ивана Анѓелевски |
| **приземје** | **стар дел** | Катерина Стојковска | Катерина Ванева | Катерина Стефановска | Маја Јовеска | Бехар Емини |

## Прилог 19.План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

**Тим за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето :**
1.Анета Цветкова, директор
2.Маја Јовевска, одделенски наставник
3. Мартин Костоски, предметен наставник
4. Ивана Анѓелевски, одделенски наставник
5. Весна Рабан, предметен наставник

**Цели:**
-соработка со ЕКО одборот и ликовната секција
-организирање на акции чија цел е заштита на животната средина
-обезбедување на простор за изложување на ученичките трудови
-организирање на изложбо по повод значајни датуми или активности

**Акции:**

- Да го исчистиме светот (15.09)
- Најдобрите фотографии и ликовни творби (По повод Денот на училиштето)
- Новогодишна изложба
- Изложби по повод верски празници
- Нашите носии
- Пролетта во училиштето
- Уредување на училниците-Најубава училница
- Собирање на стара хартија, капачиња, батерии
- ЕКО катче
- Заедно да си го разубавиме  просторот во кој учиме
- Честитки за жените
- Водата извор на живот

## Прилог 20. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

# ПРАВИЛНИК

## за однесување на учениците во ООУ „Његош“-Јурумлери

### 1. Основни норми и начела

Ученикот како субјект во воспитно- образовниот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.

Секој ученик треба да биде ценет како личност без обзир на своите способности, таленти, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба.

На учениците треба да им се овозможи да постигнат успех во рамките на наставниот план и програма во воспитно- образовниот процес, кој ги промовира моралниот, менталниот и физичиот развој во училиштето и општеството, да стекнат знаења и вештини кои ќе им бидат корисни во нивниот понатамошен живот и работата за која ќе се определат.

Во процесот на воспитување и образување, ученикот се обврзува:

- воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во неговото однесување;
- да ги осознава и почитува општествените и индивидуалните вредности кои имаат траен карактер и кои треба да ја чинат основата на моралноста на една личност;
- да ја чува честа и благородните традиции на ликот на ученик со совесен, одговорен и хуман однос во работата;
- да ја почитува личноста на своите соученици, наставици и родители и да ја цени меѓусебната зависност на индивидуите и групите.

### 2. Ликот на ученикот

Ученикот треба:

- постојано да се ангажира во постигнување на резултати во наставата и воннаставните активности, со коректност, одговорност, објективност и доследност во однесувањето;
- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да се литературен, јасен и достоинствен;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да формира културни и естетски навики;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос кон средствата и условите со кои или во кои работи и учи;
- да се изградува во личност во која може да се има доверба, со особини на непосредност, авторитативност, колегијалност, тактичност, хуманост и разбирање на другите и која во училиштето и пошироката средина има углед;
- да верува во своите способности и си поставува високи барања;
- да избира воннаставни активности за кои има најголем интерес и преку кои ќе ги задоволи своите интереси и ќе ги развие своите таленти;
- со личен пример и со почитување на прописите во училиштето и надвор од него да се бори против причинителите на болестите на зависности и други негативни појави- дрога, алкохол, пушење, криминал и сл.

**3. Ученикот и учењето**

Во процесот на свесно учење и работа на своето образование и воспитание ученикот треба да научи:

- да ја развива својата способност на учење;
- да го разбира процесот на учење цел живот;
- да сетекнува вештина за лична ефективност, планирање и организација на времето;
- во учењето да прифаќа примена на нови наставни технологии и да ги користи наставните средства и помагала што му стојат на располагање;
- да ги развива личните таленти;
- да решава проблеми и да има критички однос кон ненаучните теории, идеи и идеологии како и спрема носителите на истите;
- да ги самооценува сопствените постигања.

**4.Ученикот и наставниот час**

Ученикот треба:

- навреме и редовно да доаѓа секој наставен час;
- секогаш да биде подготвен за работа (настава);
- да допринесува и овозможува позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот;
- да не ја пореметува планираната работа на часот со задоцнето влегување, разговори, излегување, предизвикување конфликтни ситуации и друго;
- да ги почитува сите субјекти за време на часот и другите воспитно-образовни активности

**5.Меѓусебен однос на учениците**

Во негувањето на угледот и достоинството на ликот на ученикот и на училиштето, ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и решавање на позитивни и коректни односи со сите соучеици при што:

- ги почитува своите соученици врз основа на другарство, искреност и отвореност;
- меѓусебната соработка ја темели врз заемено договарање, размена на искуства, совесно и ефикасно извршување на задачата;
- во комуникацијата со учениците ги цени нивните знаења, достоинствот ,квалитети и се воздржува од озборување;
- добронамерно и без тенденциозност укажува на слабостите на соученик со што го штити угледот на ученикот и на училиштето;
- треба да биде солидарен со својот соученик особено кога станува збор за социјални и здравствени проблеми;
- треба да има помага на другите ученици пренесувајќи им го своето знаење и искуство.

**6. Односот на ученикот кон училиштето, семејството и поширокаата заедница**

Ученикот ги почитува и спроведува нормите на однесување и работа во училиштето, семејството и поширокаата заедница при што:

- ја почитува личноста на сите соученици, вработени во училиштето, родителите и другите посетители;

- избегнува стил на комуиницирање и појави недолични за ликот на ученик и не користи навредлив и непристоен говор;

- не го омаловажува и навредува другите во училиштето и надвор од него и не смее да појавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, болна самоувереност и амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично;

- е искрен и лојален кон себе и другите ;

- ги почитува аргументите на другите и не дава непристојни коментари;

- има одговорен однос спрема средствата, инвентарот, другите материјални добра и условите во кои или со кои работи во училиштето, како и кон уредувањето и облагородувањето на учулишниот простор и околона;

- се труди училиштето да биде пријатно и безбедно место за него и за сите други со навремено и објетивно информирање за негативни појави и оштетувања на инвентарот и соработува со наставниците, стручните работници, родителите и раководните лица во училиштето;

- навремено и објективно ги информира родителите за својата работа и однесување во училиштето и надвор од него;

- ги почитува аргументите на родителот;

- бара соработка и ангажирање на родителите за решавање на проблеми врз основа на меѓусебна доверба и разбирање;

- придонесува и ја поттикнува комуникацијата и соработката на родителите и училиштето;

- со својот успех и поведение е одговорен пред своето семејство и општествената заедница;

- се придржува на законската одредба за забрана на секакво политичко и верско организирање и дејствување во училиштето;

- ги почитува и се придржува кон правилата содржани во куќниот ред на училиштето

**7. Завршни одредби**

Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс.

За непочитување и непридржување на Кодексот одговорен е прекршителот лично.

***Забелешка*** Со овој Кодекс се опфатени основните барања и начела што го определуваат однесувањето на ученикот.

Овие барања и начела можат да се дополнуваат, прошируваат и усовршуваат.

**Земајќи го во предвид горенаведеното од страна на возрасните, ние децата сфативме дека:**

- **Кодекс - значи правило.**
- **За се што прават луѓето постојат правила.**
- **Правилата служат да им помогнат на луѓето да живеат поедноставно.**
- **Ако ги почитуваме правилата и животот во училиштето ќе ни биде полесен и попријатен.**

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

***член 1***

Основното училиште е задолжително и ученикот е должен редовно да посетува настава, да носи школски прибор и и да ги исполнува училишните обврски.

**член 2**

Секое изостанување од часови родителот, односно старателот на ученикот е должен да го оправда кај одделенскиот раководител.

Доколку изостанувањето е подолго од 3 (три) дена, тогаш родителот треба да приложи и лекарска белешка на која се јасно испишани причините за изостанувањето од училиште.

**член 3**

Ученикот е должен да влезе во училницата пред наставникот.

**член 4**

Ученикот не може да го напушти часот без дозвола на наставникот кој го води тој час.

**член 5**

Ученикот е должен совесно да работи на усвојувањето на знаењата, вештините и вредностите пропишани со училишната програма и согласно тоа да не пречи во изведувањето на наставата.

**член 6**

Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето.

**член 7**

Речникот кој го користи ученикот во училиштето мора да биде соодветен на местото и лицето со кое разговара. Учениците на своите наставници и на другите вработени треба да им се обраќаат со „ВИЕ наставничке” или “ВИЕ наставнику”.

**член 8**

Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.

**член 9**

Мобилни телефони, дискмени, МП3-плеери и слични уреди мораат да бидат исклучени за време на часовите за да не пречат во изведувањето на наставата.

**член 10**

Доколку се случи губење или оштетување на мобилни телефони, дискмени, мп3 плеери и слични уреди кои не се потребни во наставата, а учениците ги носат со себе додека се во училиште, тогаш училиштето не сноси никаква одговорност за направената штета.

**член 11**

За време на одморите учениците не смеат да прават неред и турканица по училниците и ходниците за да не се повредат, намерно или случајно..

**член 12**

За време на наставата не смее да се нарушува редот и тишината во училишната зграда и во училишниот двор.

**член 13**

На ученикот не му е дозволено самоволно напуштање на училишната зграда и училишниот двор се додека трае наставата предвидена за неговото одделение.

За време на наставата и воннаставните активности, како и за време на одморите, учениците престојуваат во училишната зграда или во училишниот двор.

**член 14**

Ученикот е должен на училиште да доѓа соодветно облечен и со пристоен изглед – соодветно на тоа што училиштето е воспитно-образовна институција.

Несоодветно е на настава да се доаѓа во многу куси здолништа или во куси панталони (шорцеви), со маици на прерамки или со големо деколте, со гол стомак или пак со влечки (папучи) на нозете.

Несоодветно е на настава да се доаѓа со нечиста или неуредна коса, нечисти алишта, долги, лакирани или нечисти нокти, шминка на лицето, тетоважи и пирсинг.

**член 15**

Секоја просторија во училиштето се користи исклучиво за тоа за што е наменета (училница, кабинет, библиотека, канцеларија, тоалет и сл), внимавајќи притоа да не се оштети просторијата, мебелот во неа или техничката опрема.

Значи, не смее да се црта, пишува, реже или бои по училишните клупи, столчиња и ѕидови или пак на друг начин да се уништува училишниот имот.

**член16**

Ученикот, односно родителот или старателот, одговара за материјалната штета што ќе ја направи ученикот во училиштето, намерно или од крајно невнимание (неодговорно однесување).

**член 17**

Учениците се должни после ужината и пред заминување дома отпадоците уредно да ги остават во корпата за собирање ѓубре во училницата.

Не смее да има расфрлани отпадоци по подот на училницата или под клупите.

**член 18**

За итни информации, битни за работата во одделението, на одделенскиот раководител или на дежурниот наставник му се обраќа исклучиво дежурниот ученик во одделението

**член 19**

Забрането е да се предизвикува тепачка, караница или навредување меѓу учениците или да се учествува во истите.

**член 20**

Забрането е во училиштето (во дворот и зградата) да се внесуваат предмети со остри сечива или убодни предмети, петарди, запалки, кибрити и други предмети со кои можат да се повредат учениците или да се загрози општата безбедност во училиштето.

**член 21**

Забрането е поседување, употреба или поттикнување на употреба на алкохол, цигари или наркотични средства (дроги) во училиштето, на организираните излети, екскурзии и сите останати активности кои ги организира училиштето.

ВОЗРАСНИТЕ НЕ БАРААТ ОД НАС ДА БИДЕМЕ СОВРШЕНИ – ДОВОЛНО Е ДА СЕ ПОТРУДИМЕ ЕДЕН ДЕН ДА БИДЕМЕ ПОДОБРИ ОД НИВ.

АКО ГИ ПОЧИТУВАМЕ ОВИЕ ПРАВИЛА ТОГАШ МОЖЕ ДА МИСЛИМЕ ЗА СЕБЕ КАКО ЗА ВИСТИНСКИ ЦИВИЛИЗИРАНИ

# КОДЕКС ЗА ОБЛЕКУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ

Облеката што ја носиш зборува јасно за твојата личност. Го одразува вкусот и стилот на секој човек. Твојот начин на облекување испраќа порака за тебе до другите, но може и да ги вознемирува. Одењето на училиште е како одење на работа за тебе и треба да се облечеш соодветно.

Учениците треба да ги почитуваат правилата на пристојното училишно облекување:

- Учениците не смеат да имаат гол грб, рамења и стомак.
- Не е дозволено да се носат кратки здолништа, високи потпетици и облека која е тесно прилепена на телото, како и широко отворени деколтеа;
- Облеката не треба да биде транспарентна;
- Облеката не треба да содржи обележја, натписи и фотографии кои би ги навредиле чувствата на другите во однос на етничката, верската, половата или пак друга припадност;
- Учениците треба да носат панталони со пристојна должина (не шорцеви, бермуди итн.).
- Кога учениците се во училиште не треба да носат капи и качулки, премногу накит и пирсинг, обетки на носот, усните и образите;
- Ученичките треба да избегнуваат нападен накит и нападна шминка. Дискретен накит (ланче, обетки, прстен) се смета за личен стил, но училиштето не е одговорно за нивното евентуално исчезнување;
- Не треба да се има неуредни и предолги нокти со упадлив лак на нив;
- Од учениците се бара да имаат чиста и удредна облека.

## ПРАВИЛНИК

### *за однесување на наставниците во ООУ „Његош“ -Јурумлери*

## ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИКОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

- НАСТАВНИКОТ СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО ГО ОДРЖУВА УРЕДНО
- НАСТАВНИКОТ ВНИМАВА НА ХИГИЕНАТА ВО УЧИЛНИЦИТЕ, ХОДНИЦИТЕ И НАСТАВНИЧКАТА КАНЦЕЛАРИЈА
- НАСТАВНИКОТ СО УЧЕНИЦИТЕ, НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ, КОЛЕГИТЕ, ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО СЕ ОДНЕСУВА КОРЕКТНО, КОРИСТИ КУЛТУРНА ТЕРМИНОЛОГИЈА
- НАСТАВНИКОТ Е ПРИСТОЈНО ОБЛЕЧЕН И УРЕДЕН
- НАСТАВНИКОТ НЕ ПУШИ ВО УЧИЛИШТЕТО
- СО СВОЕТО ОДНЕСУВАЊЕ, НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА И КУЛТУРЕН ОДНОС ВО СЕКОЈА СИТУАЦИЈА НАСТАВНИКОТ Е ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР ЗА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ГИ ОБРАЗУВА И ВОСПИТУВА

## ОДНОС КОН РАБОТАТА

- НАСТАВНИКОТ НАВРЕМЕНО ДОАЃА НА РАБОТНОТО МЕСТО, ОДНОСНО НАЈМАЛКУ 10 МИНУТИ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА НАСТАВНИОТ ЧАС
- НАСТАВНИКОТ НАВРЕМЕНО ЗАПОЧНУВА СО НАСТАВНИОТ ЧАС- ВЕДНАШ ПО SBОНЕЊЕТО КОЕ ОЗНАЧУВА ПОЧЕТОК НА ЧАСОТ
- ДЕЖУРНИТЕ НАСТАВНИЦИ ДОСЛЕДНО ГИ ИЗВРШУВААТ ОБВРСКИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕЖУРСТВОТО И ГО ПОЧИТУВААТ РАСПОРЕДОТ НА ДЕЖУРСТВА НАСТАВНИКОТ ЗА ДЕЖУРСТВАТА ВОДИ ДНЕВНИК ВО КОЈ ГИ ЕВИДЕНТИРА НАСТАНИТЕ ОД ДЕНОТ
- НАСТАВНИКОТ ИМА ЦЕЛОСЕН УВИД ЗА СЛУЧУВАЊАТА И УЧИЛНИЦАТА КАДЕ РЕАЛИЗИРА НАСТАВЕН ЧАС- ОТСУТНИ УЧЕНИЦИ, ХИГИЕНА, СОСТОЈБА СО ИНВЕНТАР, УЧЕБНИЦИ
- НАСТАВНИКОТ САМ СИ НАБАВУВА ПОЈАДОК ИЛИ ДРУГИ ПОТРЕБНИ РАБОТИ
- НАСТАВНИКОТ ИЗРАБОТУВА ГОДИШНИ, ТЕМАТСКИ И ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ
- НАСТАВНИКОТ ВОДИ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ. ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ Е ЈАВНА И ДОСТАПНА ЗА у6ЕНИКОТ, РОДИТЕЛОТ-СТАРАТЕЛОТ, ДРУГ НАСТАВНИК, СТРУЧЕН СОРАБОТНИК
- НАСТАВНИКОТ ПОСТОЈАНО СТРУЧНО СЕ УСОВРШУВА И СОЗНАНИЈАТА СТЕКНАТИ НА ТОЈ НАЧИН ГИ ПРИМЕНУВА ВО СЕКОЈДНЕВНАТА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА

## ОДНОС КОН УЧЕНИЦИТЕ

- ЗАБРАНЕТО Е ТЕЛЕСНО И ПСИХИЧКО МАЛТРЕТИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ-Закон за основно образование во РСМ
- НА УЧЕНИК КОЈ ГО НАРУШУВА РЕДОТ И ДИСЦИПЛИНАТА НА ЧАСОТ, НАСТАВНИКОТ КОРЕКТНО МУ УКАЖУВА НА ГРЕШКАТА , БЕЗ ДА КОРИСТИ НАВРЕДИ, ВИКАЊЕ ИЛИ ФИЗИЧКО КАЗНУВАЊЕ. РАЗГОВОРОТ ВО СООДВЕТЕН МОМЕНТ Е НАЈДОБРОТО СРЕДСТВО ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ
- НАСТАВНИКОТ ИМА ПОДЕДНАКОВ ОДНОС КОН СИТЕ УЧЕНИЦИ БЕЗ ОГЛЕД НА ПОЛОТ, НАЦИОНАЛНОСТА, ВЕРОИСПОВЕДТА, СОЦИО-ЕКОНОМСКОТО ПОТЕКЛО НА УЧЕНИКОТ
- НАСТАВНИКОТ ОБЕЗБЕДУВА ПОДЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ, ИЗВОРИТЕ ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ. ДОЗВОЛЕНА Е ПОЗИТИВНА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ. ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ НАСТАВНИКОТ ПРАВИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ МАТЕРИЈАЛ И КРИТЕРИУМИТЕ НА ПОСТИГАЊА
- ПРИ ПОУЧУВАЊЕТО НАСТАВНИКОТ МУ ДАВА УПАТСТВА НА УЧЕНИКОТ КАКО ДА ГИ ПОДОБРИ СВОИТЕ ПОСТИГАЊА
- НАСТАВНИКОТ ОЦЕНКАТА ЗА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИКОТ ЈА СООПШТУВА И ОБРАЗЛАГА ЈАВНО НА ЧАСОТ ПРЕД СИТЕ УЧЕНИЦИ
- ПРИ ОЦЕНУВАЊЕТО НАСТАВНИКОТ ГИ ВРЕДНУВА ПОКАЖАНИТЕ ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ НЕПРИСТРАСНО, ЕТИЧКИ, БЕЗ ВЛИЈАНИЈА ОД ДИСЦИПЛИНАТА, КОЛЕГИ ИЛИ РОДНИНИ НА УЧЕНИКОТ
- НАСТАВНИКОТ ОРГАНИЗИРА И РЕАЛИЗИРА ДОДАТНА, ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА И СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ
- ЗА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД КОНСУЛТАЦИИ, ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА ИЛИ ОБЈАСНУВАЊЕ, НАСТАВНИКОТ ОРГАНИЗИРА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА И ВОН ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ТЕРМИНИ ВО ДОГОВОР СО УЧЕНИКОТ-УЧЕНИЦИТЕ
- ВО СЛУЧАЈ НА УЧЕНИК ДА МУ СЕ ИЗРЕКУВА ПЕДАГОШКА МЕРКА НАСТАВНИКОТ КОЈ Е ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛ НА УЧЕНИКОТ МУ ЈА ИЗРЕКУВА ПЕДАГОШКАТА МЕРКА ВО ПРИСУСТВО НА РОДИТЕЛ-СТАРАТЕЛ СО ВНИМАНИЕ ДА НЕ ГО НАВРЕДИ УЧЕНИКОТ
- НАСТАВНИКОТ Е ДОЛЖЕН ВО СЛУЧАИ НА НЕСООДВЕТНО ОДНЕСУВАЊЕ ОД УЧЕНИЦИТЕ, УНИШТУВАЊЕ НА ИМОТОТ НА УЧИЛИШТЕТО, СОУЧЕНИК, ПУШЕЊЕ, ВНЕСУВАЊЕ ИЛИ КОНСУМИРАЊЕ НА АЛКОХОЛ ИЛИ ОПОЈНИ СРЕДСТВА ДА ГИ ИЗВЕСТИ РОДИТЕЛОТ- СТАРАТЕЛОТ НА УЧЕНИКОТ, СТРУЧНАТА СЛУЖБА, ДИРЕКТОРОТ, А ПО ПОТРЕБА И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ-ИНСТИТУЦИИ

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

- Редовно информирајте се за учењето и однесувањето само на своето дете.
- Соработувајте со одделенскиот раководител - втор родител на вашето дете.
- Почитувајте и правилата на училишниот живот и почитувајте ја институцијата УЧИЛИШТЕ,
- однесувајте се коректно кон соучениците и другарите на Вашите деца
- Часот трае 40 минути и е предвиден за комуникација помеѓу ученикот и наставникот, не им сметајте
- Почитувајте го редоследот по кој се обраќате кога имате потреба:
    1. прво се обраќате на одделенскиот раководител,
    2. предметниот наставник
    3. потоа на педагогот или психологот на училиштето
    4. дури на крај на директорот
- Редовно присуствувајте на родителски состаноци и според можности помогнете
- Доаѓајте на приемните денови за родители, така секогаш ќе имате потполна информација за постигањата и однесувањето на Вашето дете.
- Учебната година почнува во септември. Тоа е вистински момент за почеток на соработката со одделенскиот раководител и предметните наставници.
- Мај месец не е момент за почеток на соработка. Мајските родители не му помагаат на својот ученик – напротив.
- Почитувајте ги правилата за редот, предлозите и барањата на дежурните ученици, наставници и раководството на училиштето,
- Не го внесувајте детето пред време во училиштето, за него има влез и време кога треба да дојде.

Училиштето е место за соработка и договор. Нема место за несоодветно однесување, предизвикување конфликти со ученици, други родители и вработените во училиштето.
Родител кој се расправа ќе биде отстранет од училиштето.
Ваше дете ги има истите права кои ги имаат и другите деца.
Не може да се загрозуваат правата на другите.
Почитувајте го училиштето и наставниците во сите Ваши разговори, дискусии.

*********ДЕЦАТА ГО СЛЕДАТ ВАШИОТ ПРИМЕР*********

## Прилог 21. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Тргнувајќи од сознанијата дека квалитет во наставата и иновативност во наставниот процес можат да обезбедат само наставници кои континуирано се вклучени во процесите на професионален и личен развој,нашето училиште негува училишна култура која се базира на доживотно учење. Водејќи сметка за материјалната криза во општеството, при изработка на програмите за професионален развој, се потпираме главно на сопствените ресурси, како материјални така и човечки. Научната педагошка литература вели дека основа на професионалниот развој во училиштата е соработка меѓу вработените, заради меѓусебно пренесување на ентузијазмот и искуствата од ново стекнатите знања. Само наставник кој покажува ентузијазам за стекнување на нови знаења и со другите сака да ги сподели своите знаења и вештини може да одговори на барањата и предизвиците на современото општество.

Основна цел на програмата е подобрување на работата на наставниците и нивно оспособување за превземање на новите улоги во образовниот процес, која се реализира преку постигнување на овие конкретни цели:

- Усогласување на наставниците во водењето на педагошката евиденција и подготовките за настава;
- Усогласување на критериумите и начините на оценување;
- Континуирано образование за странски јазици;
- Образование за животни вештини;
- Обуки за кариерно советување;
- Обуки во рамки на проектот за Мултиетничка интеграција во општеството;
- Активности за реализација на поставените цели

Согласно условите, капацитетите, приоритетите и можностите на училиштето, во учебната 2023/24 година повеќе ќе се работи на реализирање на следниве цели, во однос на професионалниот развој на наставниците. Сите активности за остварување на конкретните цели ќе се одвиваат во училиштето и ќе се користат училишни ресурси, освен обуките за наставници организирани од страна на МОН и БРО.

| Компетенции | Тема/ наслов/ носител | Активности | Очекувани исходи | Вид на Проф. развој | Потребни ресурси | Учесници | Улога на учесници | Време |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I.A. 7 Ги познава наставниот план и програма и односите меѓу нивните компоненти (цели, содржини, дидактички насоки, поими, активности) | Обука за новите наставни програми согласно Концепцијата за основно образование за наставиците од одделенска и предметна настава организирана од МОН и БРО | Учество во обука | Изготвува и реализира наставни планови и програми согласно Концепцијата за основно образование | Екстерна обука | ИКТ технологија | Одделенски и предметни наставници | Учесници | Јуни |
| II.A.11 Ги познава идивидуалните разлики, интересите и претходните искуства на учениците | Користење различни извори на учење за проширување на знаењата | Интерна обука | Успешно следење на развојот на учениците | Интерен, во училиште | Прирачници, стручна литература | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Учесник, реализатор | септември |
| VII-A.4 Знае за можностите за појава и опасностите од дискриминација врз сите основи | Понудени акредитирани обуки од БРО | Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл. | Поттикнува соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна средина и позитивна клима | БРО, МОН | компјутер презентација | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Учесници | Август/ септември |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Создава клима за прифаќање и недискриминација | | | | | |
| III.А.7 Знае механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација врз која било основа | Обука за справување со насилство и дискриминација | Учество во обуки | Спречување на насилство и дискриминација во училиштето | Интерен, во училиште | Стручна литература, прирачници | Наставници, стручни соработници, директор | Учесник, реализатор | Декември |
| IV.А.3 Ги знае различните видови ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието: посебни образовни потреби, тешкотии во учењето и недостатоци од социо-економски причини | Изработка на план за работа и соработка со семејствата на децата накои им е потребна дополнителна подршка во образованието; | Консултација со експерти, стручни соработници | Зголемена мотивација и повисоки постигања од учењето кај учениците со посебни образовни потреби | Интерен, во училиште | Прирачници и стручна литература | Наставници, специјален едукатор и рехабилитатор | Учесници, реализатор | Октомври |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V.Б.2 Развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето | Едукативни предавања од страна на родители, соработка со Советот на родители | Соработка со родители, заедничко учење | Подобрување на меѓусебната соработка за зголемување на постигањата кај учениците | Колаборативен: наставници, ученици, родители, членови на заедницата | Прирачници, стручна литература | Одделенски и предметни наставници, родители, ученици, членови на заедницата | Учесник, реализатор | Во тек на учебната година |
| I-А.3 Ги знае факторите кои влијаат на процесот на учење и мотивација на учениците | Едукативни предавања од страна на Секции на стручни соработници | Критичко размислување и решавање проблеми, вештини потребни за 21 век | Начините на работа ги приспособува на развојните карактеристики и стилови и стратегии на учење на учениците Кај учениците гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето | БРО | Компјутер Презентација | Одделенски и предметни наставници, родители, ученици, членови на заедницата | Учесник, реализатор | Август |

## Прилог 22. Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

Во своите програми за работа, во работата на културни и образовни активности, посебно внимание се обрнува на соработката со родителите и тоа преку - секојдневни средби и разговори. Секој наставник планира еднаш седмично приемен час за родителите/ старателите и истиот се истакнува на училишната огласна табла.

Вклученоста на родителите/старатели ќе се одвива во текот на целата година, најчесто низ три форми на соработка и тоа:

1. индивидуални средби на одделенсккиот раководител со родителот на ученикот;
2. ден на отворени средби на училиштето и средба со сите наставници;
3. општи родителски состаноци
4. вонредните родителски средби
5. приредби и заеднички акции
6. работилници со родители

Во соработка со родителите се организираат и разновидни акции, средби, прослави, посети, екскурзии и др.

**План за родителски средби**

| Теми за одделенска настава | Одд/ време | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V |
| Прифаќање на училишните обврски | IX | | | | |
| Запознавање на родителите со работата на училиштето, приемни денови на наставници и стручна служба. | IX | IX | IX | IX | IX |
| Избор на членови на Совет на родители | IX | IX | IX | IX | IX |
| Уредување на училиштето, училниците и дворот | IX | IX | IX | IX | |
| Однос родител, ученик, наставник | | | | IX | |
| Помош и соработка во реализација на програмата на Совет на родители | XI | | | | |
| Спортот и исхраната фактори за правилен развој на ученикот | | | | XI | |
| Организација на работниот ден на ученикот во семејството | | | | XI | |
| Индивидуалности во развојот на секое дете | | | | XI | |
| Соработка на училиштето и семејството | XI | | | | |
| Успех и редовност на учениците | XI<br>I<br>IV<br>VI | XI<br>I<br>IV<br>VI | XI<br>I<br>IV<br>VI | XI<br>I<br>IV<br>VI | XI<br>I<br>IV<br>VI |
| Значење и методи на семејно воспитување | | XI | | | X |
| Детски болести | XI | | | | |
| СеУ за МИО | I | I | I | I | I |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ученички обврски** | | **IV** | | | **IV** |
| **Влијание на книги и медиуми врз развојот на децата** | | **XI** | | | **XI** |
| **Безбеден интернет** | **V** | **V** | **V** | **V** | **V** |
| **Самостојни домашни задчи** | | | **IX** | **IV** | **IV** |
| **Хигиена и хигиенски навики** | | | **XI** | **IV** | **IV** |
| **Социјализација на децата** | **XI** | | **I** | | **V** |
| **Изборни предмети-анкета** | | | **V** | **V** | **V** |
| **СеУ-Училиште по мерка на сите** | **IV** | **IV** | **IV** | **IV** | **IV** |

| **Теми за предметна настава** | **Одд/ време** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| **Избор на членови на Совет на родители** | **IX** | **IX** | **IX** | **IX** |
| **Премин од одделенска во предметна анстава** | **IX** | | | |
| **Другарство и пријателство** | | **IX** | | |
| **Психолошки фактори за „чудно однесување“ намладите** | | | **IX** | |
| **Психо-физички промени во пубертетот** | **XI** | **XI** | | |
| **Успех и редовност на учениците** | **XI**<br>**I**<br>**IV**<br>**VI** | **XI**<br>**I**<br>**IV**<br>**VI** | **XI**<br>**I**<br>**IV**<br>**VI** | **XI**<br>**I**<br>**IV**<br>**VI** |
| **Работниот ден на ученикот** | **XI** | **XI** | **XI** | **XI** |
| **Доживотно учење** | | | | **IV** |
| **Однос родител, ученик, наставник** | **IV** | **IV** | | |
| **Болести на зависности** | | | **IV** | |
| **Значење на правилниот избор на занимање** | | | | **IV** |
| **Изборни предмети-анкета** | **V** | **V** | **V** | |
| **СеУ-Училиште по мерка на сите** | **V** | **V** | **V** | |

## Прилог 23. Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница

| Планирана активност | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани исходи-ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Литературни средби | По потреба и динамика на општината | Водители на секции | Ученички творби, изработки | Соработка, дружење, размена на искуства |
| Соработка на Ученичките парламенти | Одговорни на Ученички парламент | Според динамика на Општина Гази Баба | Програми. предлози | Подобрување на демократската клима во ООУ |
| Соработка на детските организации | Одговорни на Детска организација | Според динамика во соработка со други ООУ | Програми на ООУ | Соработка, дружење, унапредување на училишна клима |
| Учество на општински манифестации | Континуирано | Секции, активи | Наставници, ученици, родители, директор | Развивање на демократски односи |
| Соработка со градинката „Морковче' | Одбележување на значајни датуми, литературни читања, разговори за запишување на деца обврзници за прво одд | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Програми на ООУ и градинката | Развивање на соработка и толеранција по возрасни нивоа |
| Соработка со средни училишта и нивна промоција | Континуирано<br>Април-Мај | Стручна служба,<br>Средни училишта<br>Директори | Програми за професионална ориентација | Правилен избор на идното занимање |
| Едукација на учениците за функционирање на општината | Континуирано | Наставници<br>Стручна служба | Според наставни планови<br>Членови на општината<br>Учество во манифестации организирани од општината | Разбирање на функциите на локалната самоуправа |
| Одбележување на Денот на училиштето | Ноември | -директор<br>-наставници<br>-ученици<br>-родители | -Секции<br>-културна и јавна дејност | -промоција на училиштето |
| Одбележување на Денот на Европа | Мај | -директор<br>--наставници<br>-ученици<br>-родители | -Секции<br>-културна и јавна дејност | -развивање на демокртска клима и европски вредности |
| Презентирање на постигањата на училишето | Јуни | Директор<br>Ученици<br>Наставници<br>родители | Извештаи<br>Фото-видео материјали<br>Фб страница на ООУ | Афирмирање на училиштето |

## Прилог 24. Програма за грижата за здравјето на учениците

ООУ „Његош“- Јурумлери има Тим за унапредување на здравјето, кој за учебната 2023/2024 година изработи Годишна програма за превенција од заразни и преносливи болести, како и програма за здравствена заштита и хигиена

Тим за унапредување на здравјето:

1. Валентина Манева
2. Весна Рабан
3. Иса Амети
4. Светлана Апостоловска
5. Александра Донева

| **Цел** | **Одд.** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории | VIII, X, I, | ООУ „Његош“ |
| Стекнување на основни хигиенски навики | IX, XI,XII-I,II,III, V | Одд. раководител |
| Опасности од неправилно практикување на хигиенските навики | X, XII-II,III | Одд. раковод. Стручна служба |
| Запознавање на учениците и родителите со заразните болести ТБЦ, шарлах, грип, бактериски инфекции | IX, XI,XII-I,II,III, V | Координатор Наставник биологија Стручна служба |
| Штетност на ПТС за развојот на корисникот | X ,VI | Координатор |
| Оформување ставови кај учениците кажат „НЕ“ на понуда за користење ПТС | VI-VIII | Координатор |
| ***Задачи*** | | |
| Развивање на здрав стил на живеење кај учениците | | |
| Улога на правилната исхрана за развој на организмот и како превенција од болести | Наставници биологија и унапредување на здравје | |
| Препознавање на здрава и неисправна храна | Наставници биологија и унапредување на здравје | |
| Лекови-состав, хемиски материи, бои, лакови и пестициди | Наставник хемија | |
| Користење на хемиските материи | Наставник хемија | |
| Што се заразни болести ? | Ученички парламент | |
| Што е одговорно однесување за здравјето? | Ученички парламент | |
| Зошто е погрешно да се користи храна без санитарен преглед ? | Наставници биологија и унапредување на здравје | |
| **Да одолееме на користење на дроги и ПТС** | | |
| Влијание на културата и субкултурата на врсниците врз здравјето | Психолог, наставник по историја | |
| Како потребата да не прифатат психотропни супстанци влијае врз нашето однесување? | Работилница –психолог | |
| Помош од МВР и социјалните служби во работата на училиштето | Вработени и ученици | |
| „Насилството-однесување кое треба да се сузбие“ | Одд. раководители, стручна служба, Ученички парламент, совет на родители | |

## Здравствена заштита и хигиена

| Време | Активности |
|---|---|
| **IX-VI** | Во тек на целата учебна година се врши:<br>• ре-вакцинации според календар и возраст на учениците;<br>• општи систематски и стоматолошки прегледи-според календар и возраст на учениците;<br>• дезинфекција, дезинсекција и дератизација, чистење на училниците и ходниците со Дизентал |
| **IX-VI** | Комисија за лична хигиена врши:<br>• увид и евиденција на личната хигиена на учениците; |
| **IX-VI** | Комисија за општа хигиена врши:<br>• одржување на хигиената во училницата и училиштето ;<br>• правилното користење на закачалки, корпи за отпадоци;<br>• проверка на исправноста на инвентарот во училницата; |
| **X,XI, III XII, II** | • запознавање на учениците со правилна исхрана<br>• болести на исхраната: аноректсија, булимија, дијабетес,хипертензија<br>• здрави навики во исхраната<br>• превенција од заразни болести |
| **IX-VI I V** | • лична хигиена и здравјето<br>• заразни болести како последица на нехигиенски навики<br>• козметика и нејзина правилна употреба |
| **IX-VI** | Комисија за исхрана на учениците врши:<br>• доставување на ужинките на учениците ;<br>• одржување на хигиената при консумирањето на ужинките; |
| **X X, XII XI II XI,XII , III V XI, IV V IX, X, I, IV** | Здравствени активности- предавања за:<br>• Заштита на забите, - 1 одделение<br>• Заразни и преносливи болести, грип, 1-9одделение<br>• Хепатит 1-9одделение<br>• **ТБЦ**, 3-9 одделение<br>• Болести на зависности, 6-9 одделение<br>• Пубертет и промените во него 6 одделение-женски<br>Дебати за:<br>• болести на зависности и форми на ризично однесување<br>• употреба на Интернет<br>• разрешување на конфликти |
| **IX II X, V,VI** | • Организација на слободното време<br>• Креативни разговори<br>• Организација на екскурзии, зимување, летување на учениците. |

## Прилог 25. Програма за јавна и културна дејност на училиштето

**Одговорен: Маја Јовевска**

| Приредба /настан: | Време | Цели: |
|---|---|---|
| Прв училишен ден за првачињата | IX | Љубов кон училиштето |
| Ден на независноста на Македонија | IX | Да се создава самосвест за значењето на независноста и самостојноста на РСМ |
| Ден на просветните работници | X | Развивање чувство на почит кон просветните работници |
| Детска недела<br>Програма прием на првачињата во детската организација | X | Осознавање на Детските права, меѓусебното почитување и самопочит |
| Денот на училиштето | XI | Развивање чувства на почит и благодарност кон нашиот патрон |
| Одбележување на 11-ти Октомври | XI | Чувство за самопочит, љубов кон историското минато |
| Одбележување на 13-ти Ноември | XI | Почит кон борците за слобода и значењето на празникот |
| Ден на толеранцијата | XI | Развивање на толеранцијата на учениците кон различни култури, религии и етнички заедници |
| Одбележување на „Светскиот ден на детето“ | XI | Љубов и почит кон децата |
| 3.12 Меѓународен ден на лица со посебни потреби | XII | Развивање чувство за хуманост |
| 9.12. Меѓународен ден за борба против корупција | XII | Запознавање со тежината на проблемите што ги предизвикува корупцијата и заканата што таа ја претставува за стабилноста и безбедноста, поткопувајќи ги институциите и демократските вредности, моралните вредности и правдата и изложувајќи го на опасност трајниот развој на држава |
| Одбележување на Нова Година | XII | Прослава по повод Нова Година |
| Одбележување на Денот на раѓањето на Гоце Делчев | II | Љубов и почит кон ликот и делото на Гоце Делчев |
| Одбележување на Први март - Денот на мартинките | III | Развивање креативност и творечка фантазија, соработка со локална самоуправа |
| 8-ми Март, Ден на жените | III | Значење на жената во општеството |
| Одбележување на 17-ти Март - Ден на Црвен Крст | III | Развивање чувство за хуманост |

| | | |
|---|---|---|
| Одбележување на денот на пролетта еко – акции | III | Будење на свест за еколошки чиста средина |
| Одбележување на 1-ви Април | IV | Низ шегата проблемите се совладуваат |
| Одбележување на денот на здравјето | IV | Негување на здравјето, правилен начин на живеење |
| Одбележување на Велигден | IV | Негување на традициите и народното-културно творештво |
| 1ви Мај, Ден на трудот | V | Почит кон трудот и работникот |
| Ден на смртта на Гоце Делчев | V | Улогата на Гоце Делчев во историја |
| Одбележување на 5-ти Мај- Денот на македонскиот јазик | V | Развивање чувство и градење почит кон мајчиниот јазик |
| Ден на македонските просветители | V | Улогата, значењето и почит кон словенските просветители |
| Полуматурска забава за учениците | VI | Прослава по повод завршувањето на основното образование |

**Прилог 26. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште**

| Подрачје на евалуација | Критериуми на успех | Инструменти | Индикатор на успех | Време | √ / X | Одговорен |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реализација на задолжителна и изборна настава** | -реализирани часови според НПП и ГТП | -е-дневник<br>-протокол за увиди на часови<br>-извештаи на квалиф.периоди<br>-анкета за У-Н-Р | -подобрен успех<br>-квалитет на ГТП<br>-реализирани часови<br>-СеУ | XI,I,IV,VI | | Стручна служба |
| **Реализација на додатна, дополнителна настава и воннаставни програми** | -реализирани часови според НПП и ГТП | -е-дневник<br>-увиди на часови<br>-извештаи на квалиф.периоди<br>-анкета за У-Н-Р | -подобрен успех<br>-квалитет на ГТП<br>-реализирани часови<br>-СеУ | XI,I,IV,VI | | Катерина Стефановска |
| **Учества на натпревари** | -зголемен број на учества на натпревари за 5-7% | -подготовки за додатна настава<br>-е-дневник<br>- увиди на часови<br>-извештаи на квалиф.периоди<br>- извештаи од организатори на натпревари<br>-анкета за У-Н-Р | -повисок успех на натпревари<br>-реализирани часови за додатна настава<br>-СеУ | XII, V, VI | | Мирјана Србиновска |
| **Подобрување на постигањата на учениците** | -зголемен успех на ООУ<br>-намалување на повторувачи<br>-намален број на ученици упатени на доп,настава<br>-намален број на советувања на родители за намален успех | -извештаи на квалиф.периоди<br>-анализи на успех<br>-инструменти за форм и сум. оценување<br>-анкета за У-Н-Р<br>-записници од советување на родители за намален успех | -успех на квалиф.периоди<br>-анализи на успех<br>-СеУ<br>-број на советувања на родители за намален успех | XI,I,IV,VI | | Славица Николовска |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Примена на активна настава** | -подобрена комуникација У-Н<br>-подобрена редовност на У<br>-повисоки просечни постигања по НП | - увиди на ГТП, дневни подгот.<br>-протокол за увиди на часови<br>-извештаи на квалиф.периоди<br>- протокол за увид проф. портфолио<br>-анкета за У-Н-Р | -успех на квалиф.периоди<br>-анализи на успех<br>-СеУ<br>-бр. советувања на родители<br>-трудови во проф. портфолио | XI,I,IV,VI | | Сања Орчевска |
| **Примена на ИКТ во настава** | -истрражувачки активности во наставата<br>-подобрена нагледност<br>-самостојност на У во работата | - протокол за увид ГТП, дневни подготовки<br>-протокол за увиди на часови<br>-извештаи на квалиф.периоди<br>- протокол за увид проф. портфолио<br>-анкета за У-Н-Р | -успех на квалиф.периоди<br>-анализи на успех<br>-ученички изработки<br>-СеУ<br>-трудови во проф. портфолио | XI,I,IV,VI | | Никола Настевски |
| **Професионален развој на наставен кадар** | -целосни лични картони за проф. развој на Н<br>-реализирани обуки<br>-трудови во проф. портфолио | -протокол за увид во ГТП, дневни подготовки<br>-протокол за увид во проф. портфолио<br>-анкети за Н | - сите вработени посетиле по најмалку 4 обуки | X, XII, II,VI | | Анета Цветкова Стручна служба |
| **Водење на професионално портфолио** | - проф. портфолио содржи најмалку по 10 различни и целосно комплетни трудови<br>-секој наставник има најмалку 1 истражување | -протокол за увид во проф. портфолио<br>-записници од работа на стручни активи | -зголемен број на интерни стручни трудови | X, XII,III,VI | | Стручна служба |
| **Евалуација на за МИО активности** | -континуирана евалуација на | -записници од одржани | -реализирани активности во ООУ за | X-VI | | Катерина Стефановска |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | краткорочни и долгорочни активности за МИО во тека на учебната година | активности подготовки и рефлексии на активности<br>-изработки<br>-фото материјал | МИО | | | СИТ тим |
| **Изработка на Развојна програма на ООУ** | -реализирана ПлРУ | -анкети за У,Н,Р<br>-записници<br>-Извештај СеУ<br>-ПлРУ 2022/2023 - 2025/2026 | -утврдени слаби/јаки страни на ООУ<br>-утврдени точки за промена<br>-план за активности | X-XII | | Комисија |
| **Намалување на неоправдани изостаноци** | -бројот на неоправдани изостаноци е намален<br>-намален број на неоценети -<br>намален број на советувања на родители и ученици | -извештаи на квалиф.периоди<br>-евиденција на редовност<br>-одделенски дневници<br>-анкета за У-Н-Р<br>-записници од советување на родители за намален успех | -намален број на неоправдани изостаноци на квалиф.периоди<br>-анализи редовност -СеУ<br>-намален број на родители и ученици упатени на советувања | XI,I,IV,VI | | Фатмире Подграѓа |
| **Работа на стручни активи** | **-**секој член на одржал по 1 презентација пред стручниот актив | -презентации на наставници<br>-записници од стручни активи<br>-проф.портфолио | -зголемен број на примери на добра пракса | XII, V | | Светлана Апостоловска<br>Зорица Стевковска<br>Сузана Малинова |
| **Работа на Ученички парламент** | -донесени ученички кодекси за МИО<br>и ненасилно однесување<br>-реализирани 7 состаноци на УП | -анкети за УП<br>-записници од состаноци на УП<br>-ученички изработки<br>-пано на УП | -ученички кодекс за МИО<br>- ученички кодекс за ненасилно однесување<br>-реализирани 7 состаноци на УП | XII, V | | Весна Митровска Дошева<br>Александра Донева<br>Ивана Петровска |
| **ЕИВМОС-еко проект** | -намалени потрошувачки на | -сметки за струја и вода | -помали смети за струја и вода | IX-VI | | Виолета Симоновска |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | струја и вода<br>-зголемено собирање на отпадни материјали | -анализи на трошоци<br>-мерења на собирани на отпадни материјали<br>-табели<br>-обрасци,<br>-записници | -активна вклученост на сите У,Н,Р во проектот<br>-уреден двор<br>-еко знаме | | | Еко-тим |
| **Водење на ПЕД** | -правилно воден е-дневник<br>-правилно водени Матични книги | -протоколи за увид во одделенски дневници и е-дневник<br>-записници од увид во Матични книги | -записници од увиди<br>- одделенски дневници<br>-е-дневник<br>- Матични книги | IX-VI | | Александар Илиевски<br>Мартин Костоски<br>Марјан Орчевски |
| **Реализација на Годишна програма ПлРУ** | -реализирани приоритети<br>-реализирани задачи<br>-реализирани акциски планови над 90% | -протоколи<br>-записници<br>-анализи<br>-извештаи<br>-обрасци, формулари<br>-анкети за У,Н,Р | -СеУ<br>-интегрална евалуација | IX-VI | | Анета Цветкова |

Датум

_____

м.п

ООУ "Његош"- Јурумлери

Директор

_____

Анета Цветкова

Претседател на Училишен Одбор

_____

Марија Спасева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште „Његош"
Бр. 02-473/4
11.07 2023 год.

ООУ
ЊЕГОШ

Врз основа на член 49, т. 3, 4, 5, 6, 7 од Законот за основно образование (Службен Весник на РСМ бр.161/ 2019), а согласно Статутот на ООУ "Његош"- Јурумлери, Училишниот Одбор на својата редовна седница на 11.07.2023 година ја разгледа и донесе:

**ОДЛУКА**

**За прифаќање на Годишната програма за работа на ООУ "Његош"- Јурумлери во учебната 2023/2024 година**

Согласно своите законски и статутарни права и обврски, Училишниот одбор на ООУ "Његош"- Јурумлери ја разгледа Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/ 2024 година и ја предлага на Советот на Општина Гази Баба. Со оваа одлука се задолжува директорот потребен број на примероци од Годишната програма да достави до:

- **Министерството за образование и наука на РСМ**
- **Државен просветен инспекторат;**
- **Локалната самоуправа- Општина Гази Баба;**
- **Бирото за развој на образованието;**

**Претседател на Училишниот Одбор**

**Марија Спасева**

Scanned by TapScanner

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Стив Наумов",Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, м-р Лилјана Стефановска

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "СТИВ НАУМОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Стив Наумов'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''СТИВ НАУМОВ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Стив Наумов'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Стив Наумов'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "СТИВ НАУМОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

***ООУ„СТИВ НАУМОВ“***

***СКОПЈЕ***

# *ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ*

***2023/2024***

***година***

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот, развивање интерес за природата и градење еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Во текот на учебната година за сите ученици до завршното одделение ќе бидат организирани еднодневни излети (есенски или пролетен), еднодневна наставно-научна екскурзија со учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-образовна екскурзија со учениците од VI одделение и тридневна наставно-образовна екскурзија со учениците од деветто (завршно) одделение.

| Програмска содржина | Време | Место | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Октомври (I-IXодд.) | Св.Пантелејмон, Горно Нерези | Да овозможи одмор и рекреација на децата |
| Еднодневна екскурзија | мај III одд. | Струмица | Развивање другарство и социјализација на учениците;<br>Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби;<br>Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на РС Македонија. |
| Дводневна екскурзија | мај VI одд. | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност. |
| Тридневна екскурзија | мај IX одд. | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност. |
| Еднодневен пролетен излет | мај (I - IXодд.) | Лешочки манастир „Св.Атанасиј“ | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест. |
| Настава во природа | април или мај (V одд.) | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другаство и еколошка свест. |

Екскурзија е форма на воспитно - образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно историските знаменитости на РС Македонија, традицијата и обичаите. Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

**Програма за настава во природа**
**во Охрид - за учениците од петто одделение**

***Време на реализација: пет дена во април или мај***
***Место на одржување: Охрид***

**Воспитно - образовни цели на наставата во природа:**

- Оспособување за самостојно изразување и творење.
- Развој на креативно мислење и љубопитност.
- Развивање навики за самостојно и групно решавање на задачи.
- Повторување на изучениот материјал за мерки и нивна примена во секојдневниот живот.
- Стекнување на знаења, способности и умеења за правилна интерпретација на народните песни.
- Да стекнат знаења за ритмичка изведба на народните ора.
- Проширување на знаењата за вештачко езеро, природни езера, извори.
- Да се потикнува развојот на самостојноста кај учениците и грижата за себе.
- Стекнатите знаења во училницата да се применат во конкретни ситуации на терен.
- Учениците да се активен дел од процес на едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на реката Вардар, Радика...
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со хидроцентралите и вештачките езера.
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со релјефот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, археолошки ископини.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато.
- Учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското Езеро.
- Да се запознат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.
- Позитивен однос кон верските и културните вредности.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

***Локации за посета и правци на патување***
**Прв ден:**

- Поаѓање од Скопје 8:00 часот до Охрид ќе се поминува од:
- Прилеп (посета на Горен град и Маркови кули).
- Битола (посета на Хераклеа).
- Пристигнување во Охрид (сместување во хотел, вечера и ноќевање).

**Втор ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Посета на манастирот Св.Наум Охридски“ и Наколно живеалиште „град на вода“ 9:00 до 12:50
- Ручек во 13:00 часот.
- Пишување на извештај од посетата од 17:00 до17:30 часот.
- Повторување за нашето минато 17:35 до 18:10 часот.
- Вечера во 19:00 часот.

**Трет ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Посета на Охрид.
- Разгледување на Плаошник и Самоилова тврдина.
- Цртање на манастирот.
- Ручек во14:00 часот.
- Одредување на површина на предмети и делови од природата.
- Скокови во далечина.
- Истражување: животински свет во водата и покрај водата.
- Повторување за нашето минато.
- Вечера во 19:00 часот.
-

**Четврти ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Разгледување на релјефот на Охридското Езеро од 9:00 до10:00 часот.
- Писмена вежба: ,,Опис на езерото“ од 10:00 до 11:00 часот.
- Посета на Природнонаучен музеј во Струга од 11:30 до 13:00 часот.
- Ручек во 14:00 часот.
- Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј од 16:00 до17:00 часот.
- Вечера во 19:00 часот.
- Учество во натпревар ,,Златен глас“.

**Враќање:**

Појадок во 8:00 часот и посета на:
Вевчани - Вевчански извори.
Поаѓање од Охрид пропратно со посета на градовите:
Дебар - ХЕЦ Шпиље, манастирот Бигорски.
Гостивар изворот на реката Вардар „Вруток“.
Враќање во Скопје.

***Содржини и опис на активности***
**Наставни содржини што ќе се реализираат за време на наставата во природа**

***Македонски јазик***

1. Изразување и творење - Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината.
2. Истражувачка активност за Маркови кули.
3. Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно - историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.).
4. Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј.
5. Обработка на песна „Убаво е во Мај“.

***Математика***

1. Мерки - повторување.
2. Одредување на површина на предмети и делови од природата.
3. Плоштина и периметар.
4. Работа со податоци.
5. Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци).

***Историја и општество***

1. Повторување за културно наследство на РС Македонија.
2. Квиз:Колку ја познавам РС Македонија.

***Музичко образование***

1. Нарони ора и песни.
2. Утврдување на темата фолклор „ Јас те пратив на вода Калино“.

***Ликовно образование***

1. Разгледување и сликање на езерото.
2. Ликовно изразување по доживување - слободна техника.

***Физичко и здравствено образование***

1. Натпревар - народна топка.
2. Фудбал, ракомет.
3. Елементарни игри.

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа ќе има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија.

За учениците со посебни образовни потреби, наставата во природа се организира со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

***Носители на активностите****:*

1. Гордана Мацкова
2. Славица Трипуноска
3. Јулијана Печевска
4. Благица Илијевска

   - ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
   - ✓ Доручек; 08:00 – 09:00
   - ✓ Посета на културни знаменитости во градот Охрид: минување низ Горна порта, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црква Св. Јован Богослов – Канео, црква Св. Софија, куќата наРобевци. Прошетка низ Охридската чаршија. Времетраење: 9:00–13:30ч. Враќање во хотелот. ручек и попладневен одмор.
   - ✓ Ручек; 14:00 – 15:00
   - ✓ Време за одмор; 15:15 – 15:45
   - ✓ Ужина; 16:00 – 16:30
   - ✓ Настава: 16:30 – 18:30

**Математика;**
**Цел: -**Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања;
**Содржина:** Вредност што најчесто се појавува во една група податоци/мод
**Албански јазик:**
**Цел:** -да раскажува по дадени тематски зборови;
**Содржина:** Раскажување по дадени тематски зборови „Покрај брегот на Охридското Езеро“
**Ликовно образование:**
**Цел: -**да користи елементи од народниот фолклор во дизајнирањето на предметите;
**Содржина:** Дизајн и визуелни комуникации-Ритам на форма.
**Природни науки:**
**Цел-** Истражување: на животински и растителен свет покрај вода
**Содржина**: пишување извештај од растителниот свет

- ✓ Вечера; 18:30-19:30
- ✓ Културно - забавни активности; 20:15 – 22:00
- ✓ Лична хигиена и спиење. 22:15

3. **ден**:
   - ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
   - ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м

- ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
- ✓ Доручек; 08:00 – 09:00
- ✓ Упатување кон Вевчани. Посета на Вевчански извори, куќата на Михајло Пупин, црквата Св. Никола .Краток одмор и упатување кон градот Струга.Посета на Природонаучен музеј Др. Никола Незлобински,куќата на браќата Миладиновци, чаршијата и течението на реката Црн Дрим. Враќање во хотел.
- ✓ Ручек; 14:00 – 15:00
- ✓ Време за одмор; 15:15 – 15:45
- ✓ Ужина; 16:00 – 16:30
- ✓ Настава: 16:30 – 18:30
- ✓ Активности во попладневните часови, покрај брегот на езерото: работа во групи:

**Албански јазик**

**Цел:** -да опишува предмет,лик,слика;
**Содржина:** прва група-Писмено изразување:Опишување лебед
Втора група - пишување извештај од посетата на градот Струга,
Трета група- литературно творење; пишување поезија,

**Историја и општество**:

**Цел**: да знае што е релјеф, што го сочинува релјефот.
**Содржина**: , разгледување нарелјефот во околината.

**Изборен предмет**: цел: стекнење на знаења за фолклорот и културата.

**Содржина**:Култура ви РСМ.
Активност:цртање на фолклор и култура.
Се собираат изработките и учениците креираат книга со наслов според нивната идеа. Изложба на сработеното и споделување мисли и идеи.

- ✓ Вечера во 19:00 ч.
- ✓ Забава 20:00 – 22:00 ч. и учество во натпреварот Златен глас.
- ✓ Лична хигиена и спиење. 22:15

4. **ден**:

- ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
- ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м
- ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
- ✓ Појадок 08:00 – 09:00
- ✓ Упатување кон манастирот Св Наум Охридски. Посета на Заливот на коските, манастирот Св. Наум Охридски, црквата Св. Петка, изворот на реката Црн Дрим и Мостот на желбите. Враќање во хотел.
- ✓ Ручек; 14:00 – 15:00
- ✓ Време за одмор; 15:15 – 15:45
- ✓ Ужина; 16:00 – 16:30
- ✓ Настава: 16:30 – 18:30

**Математика**

**Цел:** -црта едноставни линиски дијаграми,пр:за да ја прикаже промената на температурата;
**Содржина:** Линијски дијаграми

**Албански јазик**

Цел: да стекне навика за писмено изразување.
Содржина: Пишување на есеј на тема: ,,Охрид,,. преку работа се пучта композицијата на Вивалди,,Фор сеасонс,,.

**ОТП и информатика:**

**Цел**: да се оспособи за работа на компјутер користејќи ги нивните вештини за префрлување фотографии и пишување на текст.
Содржина ,, Практична работа, - креирање на флаер со фотографиите од посетите.

- ✓ Вечера во 19:00 ч. Забава 20:00 – 22:00 ч.

5. **ден**:
- ✓ Станување; 07:00 – 07:15м
- ✓ Утринска гимнастика; 07:15 – 07:45м
- ✓ Лична хигиена и уредување на собите; 07:45 – 08:00
- ✓ Појадок: 08:00 – 09:00
- ✓ 09:15 – 10:00 спакување на личните работи и средување на собите

Настава

**Математика**

**Цел:**усно и писмено го образложува начинот на решавање; поставува хипотези (претпоставки)и ги проверува,

**Содржина:** Толкување на линијски дијаграми;

**Одделенски час**

**Цел:** -знае како може да им се помогне на животните на кои им треба храна;

**Содржина:** Градење позитивен однос кон растенијата и животните-Работилница: „Хранилки за птици“

**Албански јазик**

**Цел**: да се оспособи за усмено изразување за еден текст, доживување исл

**Содржина**: ,,Опис, прераскажување, раскажување приказни и создавање кратки текстови, раскажува настан од неговото сопствено искуство,,

**ФЗО**

**Цел:** -да го одржува телото и однесувањето сообразено со групното движење

- да развива способности за движење и игра во просторот;

**Содржина:** Играње оро со различно темпо и сложеност на чекори;

- ✓ Одјавување од хотелот и враќање во Скопје.
- ✓ Попатна посета на градот Битола – античкиот град Хераклеа и Широк сокак.

Одмор и ужина

Пристигнување во попладневните часови во скопје – пред училишната зграда.

Пристигнување во Скопје, во попладневните часови

**Начин на реализација:**

- Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**НАПОМЕНА:** Објектите во кои ќе се изведува наставата во природа треба да имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средстваза деветгодишно основно образование во Република Северна Македонија.

***Заониеученицикоинемадаодатнаекскурзија,воучилиштетоќебидеорганизирананастава.***

**Техничка организација**: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, безбедна и разновидна храна, добри услови на сместување (секоја соба да има сопствен тоалет). Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа задолжително да биде – хотел кој е категоризиран или одговара на условите со 3 ѕвезди (соба со најмногу 3 легла, секоја соба има сопствен тоалет и туш, во секоја соба има греење –клима уред/парно, ТВ), wifi, во непосредна близина на езерото, во кругот на хотелот да има

| |
|---|
| спортски терен за зиведување настава по физичко и здравствено образование и да има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија, туристички водач и постојана придружба од лекар во текот на патувањето, прошетките и престојот во објектот. |
| **Начиннафинансирање:** Самофинансирањеодстрананародителите. |
| **Начин на вреднување и користење на резултатите:**На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации. |

| |
|---|
| ***Напомена*: Екскурзиите кои се организираат за III,V, VI и IX одделение, односно еднодневната екскурзија до Маврово за III одделение, настава во природа за V одделение, дводневна екскурзија за VI одделение, како и тродневната екскурзија за IX одделение , ќе бидат организирани во соработка со партнер училиштето ООУ„ Дане Крапчев“ - Скопје, општина Гази Баба имплементирани во програмата за МИО и Концепцијата за воннастави активности.*** |
| |

**Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:**

- Сузана Курбардовиќ- одделенски наставник;
- Фљорије Аљији – наставник по информатика;
- Вулнет Салиу- наставник по физичко и здравствено обр.
- Веби Амети – одделенски наставник;
- Кадире Хоџа - одделенски наставник;
- Ферди Асани – родител;
- Азем Фазлија – родител;

**ПРОГРАМАЗАПЛАНИРАНИЕКСКУРЗИИ,ИЗЛЕТИИ ДРУГИВОНУЧИЛИШНИАКТИВНОСТИНАУЧЕНИЦИТЕВОУЧЕБНАТА 2023/24ГОД.**

Директор:

М-р Фадил Муртезани

_____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKË MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Дн. 09-10/82
21-07-2023
20 год.(vit)
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Р. Северна Македонија - R. e Maqedonisë së Veriut
Општинско основно училиште - Shkolla e Bashkuar Komunale
25 МАЈ - 25 MAJ
Гази Баба-Скопје - Gazi Baba-Shkup
Примено / Pranuar 11.08.2023
Орг. единица / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera
03 | 410/4 | |

До: м-р Фадил Муртез, директор

ООУ „25 Мај“

Гази Баба - Скопје

Предмет: Мислење за Програмата за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности за учениците во учебната 2023/2024 година

Врска: Предмет број: 03-410/2 од 11.07.2023 година (наш број: 09-9/72 од 11.7.2023 година)

Почитувана,

Бирото за развој на образованието внимателно го разгледа вашето барање со број 03-410/2 од 11.07.2023 година. Согласно член 7 став 2 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта во прилог ви доставуваме мислење за Програмата за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2023/2024 година.

Со почит,

В.Д. ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР

d-r Mirvan Xhemaili

Прилог: Мислење за дописот со бр. 03-410/2 од 11.07.2023 година

Изработил: Гулај Исаки-Усеини, советник

Прилог: Мислење за дописот со бр. 03-410/2 од 11.07.2023 година

Врз основа на барањето со бр. 03-410/2 од 11.07.2023 година доставено од страна на ООУ „25 Мај", Гази Баба – Скопје, а со кое се бара согласност за Програмата за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2023/2024 година, Бирото за развој на образованието констатира дека се доставени програми за организирање на следните екскурзии, излети и други вонучилишни активности:

1. Програма за изведување на еднодневен есенски и еднодневен пролетен излет за учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение што ќе се реализира во:
   а) Парк „Гази Баба" (есенскиот);
   б) Сарај (пролетниот).
2. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III (трето) одделение што ќе се реализира во Битола;
3. Програма за изведување на настава во природа за учениците од V (петто) одделение што ќе се реализира во Струга;
4. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение што ќе се реализира во Струга;
5. Програма за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX (деветто) одделение што ќе се реализира во Охрид.

Бирото за развој на образованието внимателно ја разгледа доставената Програма за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение од ООУ „25 Мај", Општина Гази Баба – Скопје во учебната 2023/2024 година и констатира дека доставената Програма за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2023/2024 година е во согласност со *Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основното образование* и истите може да се реализираат.

Изработил: Гулај Исраки Усеини, советник

Согласно одредбите на член 127 став 4 алнеа 1 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/2019), Советот на родители при ООУ„25 Мај“ Гази Баба-Скопје на седницата одржана на ден 23.07.2023 година во врска со Програмата за екскурзии за учебната 2023/2024година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

За усвојување, Програмата за екскурзии за учебната 2023/2024година

Член 1

По разгледување на Програмата за екскурзии за учебната 2023/2024година, Советот на родители на ООУ„ 25 Мај “Гази Баба- Скопје, **дава позитивно мислење** едногласно без забелешки.

Претседател на Совет на родители

Ферди Асани

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Игор Китановски

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''ВЕРА ЈОЦИЌ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

# ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОД.

ООУ„ ВЕРА ЈОЦИЌ“ - СКОПЈЕ

verajocik@yahoo.com

**ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2021/22 ГОД.**



ОУ ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ВЕРА ЈОЦИЌ"
09-1011/1
05-06-2023 год.

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и други воннаставки активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година Советот на родители на ООУ "Вера Јоцић" – Хиподром, Скопје го дава следново:

**МИСЛЕЊЕ**

За Програмата за екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците за учебна 2023/2024

**Член 1**

При разгледување на Предлог - Програмата за реализирање на ученички екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 година изготвена од страна на стручен тим, Советот на родители констатира дека програмата е изготвена согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и други воннаставни активности на учениците од основните училишта и ги задоволува сите критериуми пропишани со Правилникот.

**Член 2**

Мислењето за Програмата за екскурзии се дава за учебната 2023/2024 година .

**Претседател на**
**Совет на родители**
**при ООУ„Вера Јоцић"**

**Валентина Мариновска**

Скопје, **07.06.2023**

**ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2021/22 ГОД.**

Бр./Ја. 09-1059
14.7 - 2023 год./vit

СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science - Bureau for Development of Education

До: Директорот на ООУ„Вера Јоцик" Општина Гази Баба Скопје
Предмет: Давање мислење за Програмата за изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците за учебната 2023 /2024 година.
Почитуван,
Ве известуваме дека по Вашиот допис бр .03 -102 /2 од 08.06.2023 „Бирото за развој на образованието" ја разгледа доставената Програма за изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците за учебната 2023 /2024 година каде се планирани следниве : екскурзии , излети, настава во природа, набљудувања , посети,на знаменитости и установи.
Еднодневен есенски излет во периодот Септември -Октомври во Парк шума Гази Баба со учениците од II -IX одделение.
Еднодневен пролетен излет во периодот Април – Мај во Раштак – Сарачево со учениците од II - IX одделение.
Еднодневна екскурзија во периодот Април – Мај во Тетово со учениците од III одделение.
Дводневна екскурзија во периодот Април -Мај во Источна Македонија со учениците од VI одделение .
Тродневна екскурзија во периодот Септември -Октомври во Западна Македонија со учениците од IX одделение.
Настава во природа во месец Мај во Струга со учениците од V одделение.
Набљудувања во текот на годината според програмата со учениците од I-IX одделение.
Посета на знаменитости и установи во текот на годината според програмата со учениците од I - IX одделение.
Во прилог Ви го доставуваме следното мислење.

в.д. Заменик Директор
Dr.Mirvan Xhemail

Прилог: Мислење
Изработил : м-р Зоран Трајковски Советник за Советодавно стручна работа
Контролирал : Нафије Елезоска -Садикоска Раководител на одделение за Советодавно стручна работа.
Одобрил:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. "Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

**ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2021/22 ГОД.**



10/69

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science - Bureau for Development of Education

Мислење

за доставената програма за организирање на екскурзии за учебната 2023/2024 година од ООУ „Вера Јоцић" Општина Гази Баба ,Скопје.

По разгледувањето на Програмата констатиравме дека истата е изготвена согласно „Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта и ги задоволува сите критериуми пропишани со правилникот.

Со почит,

Одговорен советник

м-р Зоран Трајковски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

ул. „Руџер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. "Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

# *Програма за планирани екскурзии и други вонучилишнини активности во училиштето во учебната 2023/2024 год.*

Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето. Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од нашата земја.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | Септември-Октомври | Парк шума Гази Баба - Скопје | **II– IXодд.** |
| **Еднодневен пролетен излет** | Април-Мај | Раштак- Сарачево | **II– IXодд.** |
| **Еднодневна екскурзија** | Април-Мај | Тетово | **III одд.** |
| **Дводневна екскурзија** | Април-Мај | Источна Македонија | **VI одд.** |
| **Тродневна екскурзија** | Септември-Октомври | Западна Македонија | **IX одд.** |
| **Настава во природа** | Мај<br>(по посебно изготвена програма) | Струга | **V одд.** |
| **Набљудувања** | Во текот на годината | Според програмата | **I – IX одд.** |
| **Посета на знаменитости и установи** | Во текот на годината | Според програмата | **I – IX одд.** |

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

### *1.1 ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

**Место**: ***Парк-шума,Гази Баба, Скопје***

**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од 2 – 9одд.

**Образовно – воспитни цели:**

- запознавање со природните убавини на парк - шумата Гази Баба;
- градење на позитивен однос кон природата, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и специфичните природно-географски обележја на парк-шумата Гази Баба;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како и кон животните;

**Образовно – воспитни задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето

**Одговорен наставник:** Драган Димитровски, наставник по географија

**Носители на активностите:** учениците од 2 – 9 одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација :** септември- октомври.

**Времетраење:**еден ден

**Локации за посета:** парк шума Гази Баба

**Правци на патување :** нас.Хиподром – Парк-шума Гази Баба-нас.Хиподром




**Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка

исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

### *1.2. ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

***Место: Раштак -Сарачево***

**Носители на активностите*:***

- одделенските наставници
- учениците од 2 – 9 одд.

**Образовно-воспитни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на месноста Раштак и околината,
- запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот,
- вегетацијата на овиепростори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности и рекреација ,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето

**Одговорен наставник:** Драган Димитровски, наставник по географија

**Носители на активностите:** учениците од 2 – 9 одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Време на реализација :** април-мај

**Времетраење:**еден ден

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локации за посета :** Раштак
**Правци на патување:** Скопје-на патот Скопје-Раштак-Скопје

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите




### *1.3. ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ*

**Вид на екскурзија**: научно - наставна

**Времетраење :**еднодневна

**Време на реализација**: Април-Мај

**Место: Тетово**

**Носители на активности**

- одделенските раководители од 3 одделение
- ученици од 3 одделение

**Образовно-воспитни цели:**

- Стекнување на знаења за животот и делото на Кирил Пејчиновиќ,историското значење на манастирот “Св.Атанасиј“ и црквата”Св.Богородица “
- запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географскиобележја, релјефот,вегетацијата на овие простори
- негување на старите кулурни вредности и обичаи
- запознавање со историјата на овие простори (локалитет)

**Образовно – воспитни задачи:**

- стекнување знаења за значењето на Лешочкиот манастир од страна на одговорно лице
- да развива позитивен однос кон животната средина
- да се развива чувството за одговорност, свесна дисциплина

- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебниодноси

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Раководители на екскурзијата:** Директорот на училиштето

**Одговорни наставници:** одделенските наставници на 3-те одделенија Виолета Ванева, Марија Павловска, Кате Митевска

**Време на реализација** : април-мај

**Времетраење:** еднодневна

**Локации за посета и правци на патување**

- Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон Тетово. Стигнување во Тетово, посетана Шарената Џамија,Тетовско кале,Лешочки манастир и гробот на Кирил Пејчиновиќ.
  Враќање за Скопје.




**Техничка организација**:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка

исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

### *1.4. ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ-ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА*

**Вид на екскурзија**: научно - наставна
**Времетраење :** 2 дена
**Време на реализација**: Април-Мај
**Опфатеност на ученици:** VI-1 одделение, VI-2 одделение

**Образовно – воспитни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на Источна Македонија, нивните природно-географскиобележја, релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, езеро, граничен премин, печатница, локалитетот Стоби и др,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Образовно – воспитни задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот,поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебниодноси.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи,писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од 6 одделение

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** директорот на училиштето

**Одговорни наставници:** класните раководители на 6-те одделенија Даниела Петрушевска и Милена Манчиќ Пауновска

**Време на реализација:**

- април /мај

**Локации за посета и правци на патување**

**Локации:** Источна Македонија: Кратово-Радин мост, Струмица -Манастирот Водоча, Дојранско Езеро, Саат Кулата во Дојран, граничен премин Стар Дојран,Стоби,

**Правци за патување**

Патувањето започнува од Скопје-Куманово – Кратово – Пробиштип – Штип-Радовиш - Струмица - Дојран-СтарДојран –Богданци-Гевгелија –Демир Капија-Неготино- Стоби - Скопје.




**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и

здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1 ден***

  Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Куманово. Се продолжува за Кратово со панорамско разгледување на градот, запознавање со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата и др. Се продолжува за Пробиштип, Штип и Радовиш посета на црквата св. Тројца,,. Се продолжува за Струмица посета на манастир Водоча,посета на водопадите . Сместување во хотел во Струмица. Вечера. Организирана забава во хотел или во диско по договор со училиштето. Ноќевање.

- ***2 ден***

Појадок, посета на Дојран и прошетка низ Стар Дојран. Поаѓање за Скопје преку Богданци ,посета на печатница Софија, Гевгелија, Демир Капија и посета на Попова кула, Неготино. Се продолжува за Стоби со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамски разгледување и попатни одмори се продолжуваза Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

### *1.5. ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ– ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА*

**Вид на екскурзија**: научно - наставна
**Времетраење:** 3 дена
**Време на реализација**: Септември-Октомври
**Опфатеност на ученици:** IX-1 одделение, IX-2 одделение

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географскиобележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со местоположбата, старата македонска архитектура и природните убавини на Прилеп, градотОхрид и Струга;
- Проширување на знаењата за настанувањето на манастирот Св.Наум и дејноста на Св.Наум Охридски;
- Стекнување сознанија за археолошките откритија на локалитетот Стоби и Плаошник (базилики,мозаици,старата црква на Св.Климент, Светиклиментовиот Универзитет) и проширување на знаењатаза животот и дејноста на Св.Климент;
- Запознавање со местоположбата и проширување на знаењата за историјатот и важноста на Самоиловитетврдини;
- Проширување на знаењата за животот и дејноста на Браќата Миладиновци и Григор Прличев

- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори,
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Образовно – воспитни задачи:**

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот,поблиското иподалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебниодноси.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи,писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Носители на активностите:**.

- учениците од 9 одд.
- одделенските раководители на 9-те одделенија

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Директор на училиштето

**Одговорни наставници:** класните раководители на 9-1 и 9-2 одделение: Никола Попадиновски и Милена Аргирова

**Времетраење:** 3 дена-две ноќевања

- **Време на реализација***:* септември -октомври

**Локации и правци на патување**

**Локации :** Западна Македонија - Стоби, Прилеп (Прилепска чаршија, Могила на непобедените), Битола-Хераклеа,Широк сокак, Охрид- (Манастир „Св. Наум Охридски“, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“) – Охрид, Охридската чаршија ,Струга (Чаршија, Куќата на Миладиновци, Природно-научниот Музеј), Вевчани, Кичево-манастир “Св.Богородица-Пречиста”

**Правци на патување:** Скопје-Велес-Прилеп -Битола-Охрид-Струга-Кичево-Скопје.



**Финансирње:**

- Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1 ден :***Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила.Од Прилеп се продолжува во Битола,каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак .Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден Охрид, каде во

попладневните часови учениците се сместуваат во хотел и имаат организирана вечера,диско забава и ноќевање.

- ***2 ден:***Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часовии заминување на организирана вечера.

- ***3 ден:*** Појадок. Посета на Струшката чаршија,на истекот од Охридското езеро и по течението на Дрим,посета на куќата на Миладиновци и Природно-научниот музеј, посета на Вевчани и изворите. Враќање за Скопје преку Кичево со посета на манастирот Св. “Богородица-Пречиста”.Учениците пристигнуваат пред училиште во вечерните часови.

***За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава.***

***2. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ***

**Место :Струга**

**Одделение:** 5 одделение

**Образовно – воспитни цели :**

- да го поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);

- да се оспособува за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во новиситуации;
- да се оспособува за критички осврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособува активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен (трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци,експериментирање, споредување, истражување, синтеза, анализа);
- да се разберат настаните, појавите (природни богатства, стопанство, културно- историски споменици изнаменитости, култура);
- да се развиваат способности на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторнопретставување);
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;

**Образовно – воспитни задачи:** Врз основа на целите преку обработка на соодветни теми и наставни содржинисо оваа настава треба да се обезбеди:

- ❖ Утврдување и проширување на знаењата, како и стекнување на нови знаења за природата, нејзинитебогатства и убавини ;
- ❖ Запознавање со животот и работата на луѓето во крајот, со поблиското и подалечното минато ;
- ❖ Запознавање со позначајни културно-историски, стопански и др. објекти;

- Стекнување на основните сознанија за екологијата и развивање позитивни навики за правилен однос изачувување на животната средина;
- Запознавање со растителниот и животинскиот свет во Охридското Езеро;
- Да ги препознаваат лековитите растенија, да собираат и користат;
- Запознавање со главните занимања на луѓето особено со: рибарство, овоштарство, сточарство, туризам идр.;
- Негување на позитивен однос кон трудот и работата, како и чувство за одговорност и дисциплина приизвршување на поставените задачи;
- Оспособување за ориентација и движење во природата;
- Стекнување и негување на работни и хигиенски навики за одржување на личната и општата хигиена ;
- Обезбедување на побрз и правилен психички развој како резултат на позитивното влијание одповеќедневниот престој во здрава природна средина;
- Развивање на другарството, меѓусебното почитување, натпреварувачки дух, физичко и здравствено,естетско, работно и техничко образование и воспитение.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите педвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на културно- историски споменици во Струшката околина, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од околината на Струга) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

**План на патувањето:**

**а) Прв ден:** Поаѓање од училиштето во 8.00 часот. Се патува преку Тетово, Гостивар, с.Вруток (попатно-панорамско набљудување на Полошката котлина). Пристигнување во с.Вруток од кај што извира реката Вардар,
Вруток-Маврово ( разгледување на Мавровското езеро), Маврово-Св.Јован Бигорски. Пристигнување и сместување во Струга, прошетка и разгледување на непосредната околина. Ручек и попладневен одмор. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења.Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава. Ноќевање.

**б) Втор ден:** Појадок, утринска гимнастика. Посета на градот Струга ,посета на спомен куќата на Браќа Миладиновци и паркот на поезијата, прошетка низ чаршијата и запознавање со старите занаети. Разговор и правење интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Струга и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на природно-научниот музеј, разгледување на експонатите и разговор со стручни лица. Враќање во одморалиштето. Ручек и попладневен одмор.. Пишување на извештаи за посетата и презентација на извештаите и размена на искуства . Водење на групен дневник за местата, знаења впечатоците и доживувањата од активностите на вториот

ден.Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење на учениците.Ноќевање.

**в) Трети ден:** Појадок,утринска гимнастика.Посета на Вевчанските извори, посета на Даљан кајшто се ловат јагулите на реката Црн Дрим. Враќање во одморалиштето. Ручек и попладневен одмор. Цртање според набљудувањата. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење. Ноќевање.

**г) Четврти ден:** Појадок, утринска гимнастика. Подготовка за напуштање на одморалиштето. Посета на манастирот„Св.Богородица„ во Калишта. Враќање преку Охрид ќраток престој на Стража. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

**Време на реализација :** Мај

**Времетраење:** четири дена

**Раководител на екскурзијата**: Директорот на училиштето

**Одговорни наставници: Билјана Арсовска и Билјана Лазаревска**

**Носители на активности:** учениците од V-1 одделение со одделенскиот наставник Билјана Арсовска, и учениците од V-2 одделение со одделенскиот наставник Билјана Лазаревска

**Локации за посета и правци на патувањето**

**Локалитети и објекти:** Полошката котлина, Вруток, Мавровско езеро, Св. Јован Бигорски, спомен куќата на Браќа Миладиновци, Охридско езеро, Струшката чаршија, манастирот„Св.Богородица„ во Калишта, Природно-научниот музеј, Вевчански извори, Даљан,

**Правци на патувањето:** Скопје – Тетово – Гостивар – Маврово – Струга – Охрид – Стража - Скопје

Пристигање во училишен двор во попладневните часови.




**НАСТАВНИ ТЕМИ – ЦЕЛИНИ**

***I. ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ***

Во зависност од периодот и условите на објектот, а врз основа на Годишната програма за работа нанаставниците и тоа:

- Активностите ќе се одвиваат во природа и во училница, согласно нормативот за простор и тоа :
- За утврдување и проширување на знаењата
- За обработка на нови наставни содржини и стекнување нови знаења

***II. ЕКОЛОГИЈА***

- Поим за екологија и значење на животната средина;
- Како да се однесуваме во животната средина;
- Не го загадувај воздухот

- Водата како животна средина
- Поим за извор, поток, река;
- Езерата како животна средина. Видови езера;
- Водата и нејзиното значење за живиот свет;
- Шумите како животна средина и филтри на воздухот;
- Отпадоци - видови отпадоци и како се постапува со истите;

***III. СПОРТ***

- Утринска гимнастика
- Одење и пешачење во природа
- Атлетски игри и натпревари
- Спортски игри - фудбал, кошарка, народна топка, пинг-понг и др.
- Рекреативно забавни игри

***IV. ЗАБАВА И КУЛТУРА***

- Формирање на ученички интересни групи : литературна, ликовна, музичка, за забава;
- Изготвување на план за работа на ученичките интересни групи : програма за вечерни активности - избираме најдобар глас, избор на мис и мистер, избор на најдобра фризура, маскенбал - најдобра маска, најдобар играчки пар, вечер на хумор и смеа и сл.

***V. ИЗЛЕТИ***

- Одење до Охрид
- Одење до Вевчанските извори

***VI. ПРОИЗВОДСТВЕНО - КОРИСНА РАБОТА***

- Изготвување на ѕиден весник - со лични и литературни творби
- Изготвување на изложба со ликовни творби и детски креативни изработки

***VII. ХИГИЕНА***

- Лична хигиена - прибор за хигиена, употреба и одржување на личната хигиена
- Општа хигиена - одржување на хигиената во спалните соби (слагање на личните работи, местење накревети, постапка со отпадоци и друго) и чистење на дворот и околината

***VIII. ЗДРАВЈЕ***

- Медицински кадар
- Прегледи по потреба (лекарства и употреба)

***IX. ИСХРАНА***

- Кујна - опрема и персонал
- Трпезарија - опрема, персонал и функција на истата
- Прибор за исхрана и користење
- Бон-тон за време на јадењето
- Листа на јадење - значење на правилната исхрана за здравјето, растот и развитокот на учениците

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО**

Место на поаѓање: од училишниот двор
Време на поаѓање : во 8,00 часот

**КАДРИ ЗА РАБОТА**

За реализација на наставата во природа ќе бидат ангажирани:

- Одделенските наставници
- Стручни лица : рекреативци и лекар

**РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО**

| ***Активности*** | ***Време*** |
|---|---|
| ♦ Станување | **Во 7,00** |
| ♦ Утринска гимнастика | 7,05 - 7,20 |
| ♦ Лична хигиена и уредување на спалните | 7,50 - 8,00 |
| ♦ Појадок | 8,00 - 8,30 |
| ♦ Подготовка за настава | 8,30 - 8,40 |
| ♦ Настава и враќање во објектот | 8,40 - 12,30 |
| ♦ Подготовка за ручек | 12,30 –13.00 |
| ♦ Ручек | 13,00 - 14,00 |
| ♦ Попладневен одмор | 14,00 - 15,40 |
| ♦ Ужина | 15,40 - 16,00 |
| ♦ Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности | 16,00 - 18,30 |
| ♦ Подготовка за вечера | 18,30 - 19,00 |
| ♦ Вечера | 19,00 - 19,30 |
| ♦ Вечерни содржини | 19,30 - 21,00 |
| ♦ Подготовка за спиење | 21,00 - 21,20 |
| ♦ Повечерје - спиење | 21,30 - 7,00 |

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување согласно нормативот за изведување на настава во природа(опремена училница, простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование, спортски терени), лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

***План за изведување на набљудувања и посети на***

***знаменитости и установи***

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Музеј на град Скопје
- Музеј на жртвите на холокаустот

- Музеј на ВМРО
- Библиотека “Другарче”
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Градски кина
- Изложби
- Црква  Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта  од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции одинтерес за наставата

- Пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица
- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

## ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОД.

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми.Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:
  - лично обраќање кон други луѓе ;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;

- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

***Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:***

***Јане Тасев – директор***

***Виолета Ванева – одделенски наставник***

***Билјана Арсовска – одделенски наставник***

***Драган Димитриевски- предметен наставник***

***Никола Попадиновски - предметен наставник***

***Даниела Петрушевска- предметен наставник***

***Мај 2023 год.***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр.Nr. 09-1089
14.7 - 2023 год./vit
СКОПЈЕ / SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

До: Директорот на ООУ„Вера Јоцић" Општина Гази Баба .Скопје

Предмет: Давање мислење за Програмата за изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците за учебната 2023 /2024 година.

Почитуван,

Ве известувам дека по Вашиот допис бр .03 -102 /2 од 08.06.2023 „Бирото за развој на образованието" ја разгледа доставената Програма за изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците за учебната 2023 /2024 година каде се планирани следниве : екскурзии , излети, настава во природа, набљудувања , посети,на знаменитости и установи.

Еднодневен есенски излет во периодот Септември -Октомври во Парк шума Гази Баба со учениците од II -IX одделение.

Еднодневен пролетен излет во периодот Април – Мај во Раштак – Сарачево со учениците од II – IX одделение.

Еднодневна екскурзија во периодот Април – Мај во Тетово со учениците од III одделение.

Дводневна екскурзија во периодот Април -Мај во Источна Македонија со учениците од VI одделение .

Тродневна екскурзија во периодот Септември. -Октомври во Западна Македонија со учениците од IX одделение.

Настава во природа во месец Мај во Струга со учениците од V одделение.

Набљудувања во текот на годината според програмата со учениците од I-IX одделение.

Посета на знаменитости и установи во текот на годината според програмата со учениците од I - IX одделение.

Во прилог Ви го доставува следното мислење.

в.д.заменик Директор

Dr.Mirvan Xhemail

Прилог: Мислење

Изработил : м-р Зоран Трајковски Советник за Советодавно стручна работа

Контролирал : Нафије Елезоска -Садикоска Раководител на одделени за Советодавно стручна работа.

Одобрил:

10/69

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Мислење

за доставената програма за организирање на екскурзии за учебната 2023/2024 година од ООУ„ Вера Јоциќ" Општина Гази Баба ,Скопје.

По разгледувањето на Програмата констатирано е дека истата е изготвена согласно „Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основнитse училишта и ги задоволува сите критериуми пропишани со правилникот.

Со почит,

Одговорен советник

м-р Зоран Трајковски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. "Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ВЕРА ЈОЦИЌ
бр. 03-101/1
02.06.2023 год.

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и други воннаставни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година Советот на родители на ООУ "Вера Јоцић '– Хиподром, Скопје го дава следново:

# МИСЛЕЊЕ

## За Програмата за екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците за учебна 2023/2024

**Член 1**

При разгледување на Предлог - Програмата за реализирање на ученички екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 година изготвена од страна на стручен тим, Советот на родители констатира дека програмата е изготвена согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и други воннаставни активности на учениците од основните училишта и ги задоволува сите критериуми пропишани со Правилникот.

**Член 2**

Мислењето за Програмата за екскурзии се дава за учебната 2023/2024 година .

**Претседател на**
**Совет на родители**
**при ООУ„Вера Јоцић“**

**Валентина Мариновска**

Скопје, **07.06.2023**

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Адријана Младеновска

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Дане Крапчев'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Дане Крапчев'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Дане Крапчев'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „ ДАНЕ КРАПЧЕВ ” – СКОПЈЕ

## ПРОГРАМА

**за излети, екскурзии и други вонучилишни активности во училиштето за учебната 2023/2024 година**

***Скопје, 2023 година***

# СОДРЖИНА

**1. ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА ..... 1**

**2. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ ..... 2**

**3. ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ ..... 3**

**4. ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ ..... 5**

**5. ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА НАУЧНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ ..... 7**

**Источна Македонија ..... 7**

**6. ПРОГРАМА ЗА ТРОДНЕВНА НАУЧНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ Западна Македонија ..... 9**

**7. ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ..... 11**

**7.1. Планирани посети за време на престојот во објектот ..... 13**

**7.2. Задачи на истражувачкото училиште ..... 14**

**7.3. Подготовки и реализација на пррограмата ..... 15**

**7.4. Наставни содржини што ќе се реализираат за време на наставата во природа ..... 18**

**8. ПЛАН ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАБЉУДУВАЊА И ПОСЕТИ НА ЗНАМЕНИТОСТИ И ИНСТИТУЦИИ ..... 20**

# *1.* ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците како облици на воспитно – образовна работа што се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми како совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето како запознавање и со традицијата и обичаите во различни делови од државата.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

⇨ **Во текот на учебната 2023/2024 година ќе бидат организирани:**

| **Екскурзии / Излети** | **Време на изведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | септември/октомври | Дељадровце, Сарај, Катланово | I – IX одд. |
| **Еднодневен пролетен излет** | Мај/Јуни | Парк шума Гази Баба,Марков манастир | I – IXодд. |
| **Еднодневна екскурзија** | Мај/Јуни | Струмица | III одд. |
| **Дводневна екскурзија** | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Источна Македонија | VI одд. |
| **Тродневна екскурзија** | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Западна Македонија | IX одд. |
| **Настава во природа** | април/мај (По посебно изготвена програма) | Охрид | V одд. |
| **Набљудувања** | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| **Посета на знаменитости и установи** | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

# *2.* ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место**: Дељадровце, Марков манастир, Катлановo

**Воспитно образовни цели:**

- запознавање со природните ресурси и со културното наследство.
- градење на позитивен однос кон природата, културното наследство, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и нивните специфични природно-географски обележја;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат учениците, како и кон животните;

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

**Раководител на екскурзијата:** Јовица Димески – предметен наставник по физичко и здравтвено образование

**Одговорен наставник:** Биљана Јовчева – одделенски наставник.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација:** крај на септември- почеток на октомври.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Скопје-Маџари – Дељадровце, Марков манастир, Катланово

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

***За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.***

## *3.* ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

***Место:*** Парк шума Гази Баба, Марков манастир

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со атрактивно место во близина на Скопје и природните убавини и знаменитости
- запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овој простор,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овој простор,
- развивање на позитивна групна динамика,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

- навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

**Раководител на екскурзијата:** Лиле Сарвановска – предметен наставник по математика

**Одговорен наставник:** Маја Величкова – предметен наставник по географија

**Време на реализација :** Мај/Јуни

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Скопје,Маџари - Парк шума Гази Баба,Марков манастир.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

***За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.***

# *4.* ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Време на реализација**: Мај/Јуни

**Место на одржување:** Струмица- Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса, Манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча и Колешински водопади.

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од III одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Даниела Салтирова, одделенски раководител на III-3 одделение

**Одговорни наставници:** одделенските раководители на III-1, III-2 и III-3 одделение: Билјана Трајановска, Вилдана Суљовиќ, Светлана Пешевска.

**Финансирање:** Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

⇨ Поаѓање во 8:00 пред училиште.

⇨ Попатно разгледување на одликите на Источна Македонија.

⇨ Посета на Струмица со запознавање на одликите и историското минато на градот.

⇨ Посета за Манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ -Елеуса

⇨ Посета на Манастир „Св. Леонтиј“ и посета на Колешински водопади

⇨ Враќање во 16:00

***За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.***

# *5.* ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА НАУЧНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ
## Источна Македонија

**Време на реализација:** ***Септември/октомври или мај***

**Место на одржување:** ***Источна Македонија***

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и
  подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од VI одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Ванчо Јовчев - класен раководител на VI-1 одделение

**Одговорни наставници:** класните раководители VI-2, VI-3 и VI-4 одделение: Бојана М. Личева, Билјана Стојановска и Анета Митевска.

**Финансирање:** Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест

месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

***1. ден***

Прв ден. Поаѓање на групата од пред училиште во 08:30 часот. Се патува преку Куманово, со попатна посета на опсерваторија Кокино и Човеков Камен. Панорамско разгледување на градот Кратово, запознавање со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата и др. Се продолжува за Пробиштип, Штип и Радовиш се посетува црквата Св. Тројца. Се продолжува за Струмица, посета на Колешински водопади и Смоларски водопади, посета на „Успение на пресвета Богородица“ и „Св. Леонтиј“-Водоча, пристигнување во Дојран, сместување во хотел. Вечера. Организирана забава за учениците.Ноќевање.

***2. ден***

Појадок, посета на граничен премин Стар Дојран. Ручек во хотелот. Поаѓање за Скопје преку Богданци, посета на штампаријата Софија, Гевгелија, Демир Капија и посета на Попова кула, Неготино. Се продолжува за Стоби со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамски разгледувања, фотографирања и попатни одмори се продолжува за Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Источна Македонија**

- Учениците од VI/1 одделение класен раководител: Ванчо Јовчев
- Учениците од VI/2 одделение класен раководител: Билјана Стојановска
- Учениците од VI/3 одделение класен раководител: Анета Митевска
- Учениците од VI/4 одделение класен раководител: Бојана М. Личева

***За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.***

# *6.* ПРОГРАМА ЗА ТРОДНЕВНА НАУЧНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ
## Западна Македонија

**Време на реализација:** ***Септември/октомври или мај***

**Место на одржување:** ***Западна Македонија***

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од IX одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Весна Кочова - класен раководител на IX-3 одделение

**Одговорни наставници:** класните раководители IX-1, IX-2 и IX-3 одделение: Марина Пејковска, Роза Јаневска и Елена Томевска

**Финансирање:** Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест

месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден*** Тргнување на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува преку Велес, со попатен одмор на брегот на Велешкото Езеро. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Од Прилеп се продолжува кон Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен-куќата на Тоше Проески. Се продолжува во Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден - Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел. Вечера, организирана забава за учениците. Ноќевање.
- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера. Ноќевање
- ***3.ден*** Појадок. Посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија, на истекот од Охридското Езеро и по течението на Дрим, посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

**Ученици - учесници во тродневна екскурзија низ Западна Македонија**

- Учениците од IX-1 одделние, класен раководител: Марина Пејковска
- Учениците од IX-2 одделение, класен раководител: Роза Јаневска

- Учениците од IX-3 одделение, класен раководител: Весна Кочова
- Учениците од IX-4 одделение, класен раководител: Елена Томевска

***За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.***

## *7.* ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Време на реализација:** Април/Мај

**Место на одржување:** Охрид

**Наставни теми:** животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето минато, скокови во далечина, пеење.

### ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

- **Глобални цели**

Учениците непосредно да се здобијат со знаења, претстави и поими за природната средина и општественото живеење на луѓето во крајот што ќе го посетат, како и запознавање со историското минато, културно - историските знаменитости, ширење на пријателство и соработка со врсниците од крајот што се посетува. Предзнаењата и знаењата стекнати во училиштето и домот се дополнуваат, се дооформуваат, се потврдуваат и се систематизираат;

- **Цели**

- да се поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- да се оспособуваат за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- да се оспособуваат за критички осврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособуваат за активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен (трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, споредување и средување податоци, истражување, анализа и синтеза на стекнатите знаења);

- да се запознаат со природните богатства/ресурси;
- да се разберат настаните, појавите, природни богатства, стопанството, културно-историски споменици и знаменитости, културата и традицијата на делови од Р.Македонија);
- да се развиваат способностите на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторно претставување, ориентирање и снаоѓање);
- поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења, соработка со други во групата, соработка со возрасни);
- социјализација и едукација на учениците;
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;

- **Наставни форми**
  - Групна
  - Парови/тандем
  - Индивидуална
- **Наставни методи**
  - Говорна метода
  - Текст метода
  - Метод на пишување
  - Метод на практична работа
  - Метод на проблемско учење
  - Метод на учење со откривање
  - Метод на истражување
  - Метод на игра

- **Активни методи**
  - Автентично учење
  - Учење преку решавање проблеми
  - Акциски проект
  - Критичко размислување
  - Самостојно истражување
  - Стратегии за критичко мислење
- **Техники на учење**
  - Бура на идеи
  - Грозд
  - Умна мапа
  - Интервју
  - Минутна работа
  - Петоред
  - ЗСУ- знам, сакам да знам, учам

**ЗАДАЧИ**

- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции
- позитивен однос конверските и културните вредности
- социјализација и колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за мздраво живеење
- развивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и добри меѓусебни односи.

### *7.1. Планирани посети за време на престојот во објектот*

Панорамско запознавање со објектите и локалитетите крај патот и водење карта на патувањето:

- Полошка Котлина-Гостивар, Вруток (посета)
- Мавровско Езеро (панорамско разгледување)
- По текот на реката Радика (панорамско разгледување)
- Манастир Св.Јован Бигорски (посета)
- ХЕЦ,,Глобочица,,-Дебарско Езеро( панорамско разгледување)

- Вевчански извори (посета)
- Струга, куќата на браќата Миладиновци (посета)
- Посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“,
- Набљудување на истекот на реката Црн Дрим-Мостот на поезијата (посета)
- Посета на хотел (разговор за туризам)
- Охрид, Плаошник, Самоилова тврдинина (посета)
- Куќата на Робевци (посета)
- Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, (посета)
- Битола, Хераклеа (посета)
- Прилеп, Могила на непобедени (посета)
- Велес, Велешко Езеро (панорамско разгледување)

### *7.2. Задачи на истражувачкото училиште*

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, како и зависноста на луѓето од природните услови и менување на средината на живеење, работа и секојдневен живот на луѓето во крајот.
- Запознавање со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење.
- Да се запознаат со позначајни културно-истористки, стопански и други објекти како што се: црквСв.Стефан, Манастир Св.Јован Бигорски, посета на куќата на браќата Миладиновци, посета на куќата на Робевци, посета на Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, Манастир Св.Наум и извор на Црн Дрим, Хераклеа, Могила на непобедените.
- Да стекнат основни сознанија за Екологијата, да развиваат позитивен однос кон животната средина.
- Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет на Охридското Езеро.
- Да ги препознаваат, собираат и ја знаат користа од лековитите билки.
- Да се запознаат со занимањата на луѓето во крајот( рибарство, туризам, угостителство и др.)
- Да се оспособат за движење и ориентација во просторот.
- Учениците да се вклучат во извршување на различни задачи, притоа да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина.
- Да стекнат и негуваат работни и хигиенски навики за одржување на лична и општа хигиена.

- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен натпреварувачки дух, правилен психички развој како резултат на позитивното влијание на повеќедневен престој во здрава природна средина.

### *7.3. Подготовки и реализација на ппрограмата*

**Прв ден**

- ⇨ Сместување на учениците и багажот во автобусот. Поаѓање во 8.00 часот пред училишната зграда.
- ⇨ Се патува преку Тетово, Гостивар, с.Вруток (попатно-панорамско набљудување на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од каде што извира реката Вардар-Вруток, се продолжува Маврово (разгледување на Мавровското Езеро), посета на манастирот Св. Јован Бигорски.
- ⇨ Пристигнување во Охрид и сместување
- ⇨ Запознавање со куќниот ред
- ⇨ Прошетка и разгледување на непосредната околина.
- ⇨ Ручек.
- ⇨ Попладневен одмор.
- ⇨ Пишување извештај за патувањето, попатното набљдување и реализираните посети. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Користење техника ЗСУ за стекнување нови знаења за градот Струга и неговите знаменитости. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден.
- ⇨ Вечера
- ⇨ Дружење и забава
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

**Втор ден**

- ⇨ Будење во 7.00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7.30 до 8.00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Прошетка покрај езерскиот брег, запознавање со местото, околината, релјефот, животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Истражување и прибирање податоци. Враќање во одмаралиштето. Пишување извештаи за

посетите и истражувањето. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења.

- ⇨ Ручек
- ⇨ Попладневен одмор
- ⇨ Организирање на спортски натпревари
- ⇨ Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден.
- ⇨ Вечера
- ⇨ Дружење и забава
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

**Трет ден**

- ⇨ Будење во 7.00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7.30 до 8.00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Посета на градот Струга, прошетка низ чаршијата и запознавање со старите занаети. Разговор и правење на интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Струга и запознавање со неговите културно-историски карактеристики.
- ⇨ Посета на природно-научниот музеј разгледување на експонатите и разговор со стручните лица. Посетана спомен куќа на браќа Миладиновци. Враќање во одмаралиштето.
- ⇨ Ручек
- ⇨ Попладневен одмор
- ⇨ Пишување на извештаи за посетите, нивна илустрација и презентација. Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден.
- ⇨ Организирање на спортски натпревари и социјални игри.
- ⇨ Прошетка покрај езерскиот брег и собирање растенија, каменчиња и разни други природни материјали.
- ⇨ Вечера.
- ⇨ Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена.
- ⇨ Организирана забава и дружење на учениците.
- ⇨ Лична хигиена

- ⇨ Спиење во 22 часот

**Четврти ден**

- ⇨ Будење во 7.00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7. 30 до 8. 00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Посета на Вевчанските извори. На враќање посета на Дељан кај што се мрестат јагулите на реката Црн Дрим. Враќање во одмаралиштето.
- ⇨ Ручек
- ⇨ Попладневен одмор
- ⇨ Пишување на извештаи за посетите и нивна презентација. Цртање според извршеното набљудување. Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на четвртиот ден.
- ⇨ Организирање на спортски натпревари и социјални игри.
- ⇨ Прошетка покрај езерскиот брег, собирање растенија и нивна калсификација.
- ⇨ Вечера.
- ⇨ Организирана забава и дружење на учениците.
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

**Петти ден**

- ⇨ Будење во 7.00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7. 30 до 8. 00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Подготовка на багажот 9. 00 – 10. 00
- ⇨ Ручек
- ⇨ Враќање преку Охрид (посета на градот, чаршијата, Амфитеатарот, Плаошник – по договор) и краток престој на Стража.
- ⇨ Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

- **Активности во слободно време**

**Прва етапа од 11 до 12 часот**

Во ова време учениците активно се одмараат од претпладневните активности и тоа преку организирани прошетки и игри во природната околина на објектот. При крајот на оваа етапа учениците се подготвуваат за ручек.

**Втора етапа од 13 до 15 часот**

Време наменето за попладневен одмор

**Трета етапа од 15.30 до 17 часот**

Организирање квиз натпревари на знаење

**Четврта етапа 17.30 до 19 часот**

Организирање на групни натпревари во разни спортски активности. Подготовка за вечера

**Петта етапа 20 до 21.30 часот**

Активности од културно забавен карактер

### *7.4. Наставни содржини што ќе се реализираат за време на наставата во природа*

- **Македонски јазик**
  - Изразување и творење – Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината;
  - Говорна и писмена вежба (истражуваме – учиме - пишуваме): Браќа Миладиновци, паркот на поезијата,
  - Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно – историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.);
  - Пишуваме извештај за посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“, илустрираме што ни остави впечаток;
  - Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Вевчанските извори, Дељан (мрестилиште на јагули), Црн Дрим;
  - Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Охрид (чаршија, Плаошник...)
  - Изработуваме информативна книга;
- **Математика**
  - Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци);
  - Километар;
  - Мерки – повторување;
  - Работа со податоци;
- **Природа**
  - Растителниот и животинскиот свет во и покрај вода – Охрид, релјеф;

- ⇨ Живеалишта и врска меѓу организмите и живеалиштата;
- ⇨ Растенија покрај езерскиот брег и блиската околина;

➢ **Општество**

- ⇨ Традицијата и културно - историските карактеристики на Струга;
- ⇨ Повторување на знаењата;

➢ **Музичко образование**

- ⇨ Темпо: брзо – бавно;
- ⇨ Знак за позвторување;

➢ **Ликовно образование**

- ⇨ Сликање/цртање на впечатоци од посети (техника по избор);
- ⇨ Ликовно изразување по доживување – слободна техника

➢ **Физичко и здравствено образовани*е***

- ⇨ Натпревар – народна топка;
- ⇨ Фудбал, ракомет;
- ⇨ Елементарни игри;

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од V одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Весна Димовска- одделенски раководител на V-4 одд.

**Одговорни наставници:** одделенските раководители V-1, V-2 и V-3 одделение: Катерина Димовска, Кристина Џајковска, Биљана Јовчева

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Технички услови на објетот:**

- исхраната е подготвена по норматив, листа на јадења усогласена според возраста и поребите на учениците, три оброци и ужинка;
- сопствена здравствена амбуланта, здравствена заштита на учениците 24 часа;
- училници за изведување настава;

- спортски терени, услови за спотрско – рекреативен и културно – забавен живот;

- рекреатори;

- физичко обезбедување на објектот.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

## *8.* ПЛАН ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАБЉУДУВАЊА И ПОСЕТИ НА ЗНАМЕНИТОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје, Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на ВМРО
- Библиотека “Другарче”
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Изложби
- Црква Св. Спас и Даут-Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јахја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата: пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица

- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:
  - лично обраќање кон други луѓе ;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар, претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

**Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзи, излети и воннаставни активности:**

1. Адријана Младеновска-директор
2. Бојана М. Личева- предметен наставник
3. Роза Јаневска- предметен наставник
4. Вилдана Суљовиќ-одделенски наставник
5. Елена Томевска-предметен наставник
6. Стефани Тоневска-одделенски наставник
7. Даниела Салтирова-одделенски наставник

Директор

_____

м-р Адријана Младеновска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Е.бр. 09-10/64
10. 7 - 2023 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ДАНЕ КРАПЧЕВ"
Гази Баба - Скопје
Примено: 14.07.2023
Орг.ед. 09 | Бр. 305/3

**До**
**ООУ „Дане Крапчев" Ул. „Маџари" бр. 9,**
**општина Гази Баба - Скопје**
**Адријана Младеновска – директор**

**Врска:** Барање арх.бр. 09-9/52/1 од 12.6.2023 година

**Предмет:** Мислење за Програма за изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето за учебната 2023/2024 година

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање за Мислење за Програмата за изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од **ООУ „ Дане Крапчев"**
**Општина Гази Баба - Скопје,** со арх.бр. 09-9/52/1 од 12.6.2023 година, Бирото за развој на образованието Ви доставува Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности за учебната 2023/2024 година, предложена од Ваша страна.

Со почит,

в.д. заменик директор,

Mirvan Xhemaili

Изготвил: Невена Бошковска,
Контролирал и одобрил: м-р Митко Чешларов,

10-64

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**Мислење:**

**Врска:** Барање арх.бр. 09-9/52/1 од 12.6.2023 година

Бирото за развој на образованието го разгледа Вашето барање за мислење за изведување ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учениците од **ООУ „ Дане Крапчев" општина Гази Баба - Скопје** и во врска со тоа Ви доставува Мислење. Мислењето е изготвено врз основа на Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, по разгледување на Програмата за изведување екскурзии, излети и други вонучилишни активности, доставена од Ваша страна.

Врз основа на доставената програма, може да се констатира дека истата е изготвена во согласност со Правилникот, бидејќи во програмата се опишани воспитно-образовните цели, задачите, содржината и активностите, раководителите, наставниците, учениците, времетраењето, локациите за посета, правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање.

Имајќи ги во предвид наведените податоци, Бирото за развој на образованието смета дека Вашата Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности е во согласност со позитивните законски прописи и може да се реализира.

Одговорен советник
Невена Бошковска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. „Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. „Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДАНЕ КРАПЧЕВ
Бр. 09-305-1
14. 07. 2023 год.
Гази Баба - Скопје

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основно образование Советот на родители при ООУ„Дане Крапчев"-Скопје на својата одржана седница на ден 14.07.2023 година дава:

# М И С Л Е Њ Е

**за Предлог- Програмата за излети, екскурзии и други вонучилишни активности на учениците во ООУ„Дане Крапчев"- Скопје за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

По разгледување на Предлог-Програмата за излети, екскурзии и други вонучилишни активности на учениците во ООУ„ Дане Крапчев "-Скопје за учебната 2023/24 година изготвена од страна на стручен тим, Советот на родители дава **позитивно мислење** за Програмата за излети, екскурзии и други вонучилишни активности.

**Член 2**

Мислењето за Предлог-Програмата за излети, екскурзии и други вонучилишни активности на учениците во ООУ „Дане Крапчев"-Скопје се дава за учебната 2023/24 година.

Заменик претседател на Совет на родители

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Елена Антонова

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''КИРИЛ И МЕТОДИЈ'' - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

*Општинско основно училиште*
*„КИРИЛ И МЕТОДИЈ", Стајковци - Гази Баба, Скопје*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
бр. 09-310/1
31.05.2023 год.
Стајковци, Гази Баба, Скопје

# *П Р О Г Р А М А*

## *ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА*

## *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ*

*Учебна 2023/2024 година*

**Скопје, јуни 2023 година**

## ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ

Со Годишната програма за работа на училиштето е регулирана активноста организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

| Екскурзии и излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Излет | Септември/Октомври | Излетничко место Марков Манастир | I – IX одд. |
| Наставно-научна екскурзија со рекреативен карактер | Септември/Октомври 2023 | Тетово (еднодневна) | III одд. |
| Настава во природа | Април/ Мај 2024 | Охрид | V одд. |
| Наставно-научна екскурзија со рекреативен карактер | Април/Мај 2024 | Источниот дел на РС.Македонија (дводневна) | VI одд. |
| Наставно научна екскурзија со рекреативен карактер | Септември/Октомври 2023 | Централниот и Западниот дел на РС.Македонија (тродневна) | IX одд. |
| Излет | Април/ Мај 2024 | Излетничко место Парк шума Гази Баба | I – IX одд. |

### Ученички екскурзии и излети

Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните реткости и културно историските знаменитости на РС. Македонија, традицијата и обичаите.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на излетите и екскурзиите.

## *ИЗЛЕТИ*

***МЕСТО:*** Излетничко место Марков Манастир
***ОПФАТЕНОСТ:*** I – IX одд.
***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:***

- одделенските наставници и класните раководители
- учениците

***ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА УЧИЛИШНИТЕ ИЗЛЕТИ:***

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во посетените региони;
- Социјализација и колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување.
**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето
**Одговорни наставници:** одд.наставници и класните раководители.
**Време на реализација:** Септември/Октомври (есенска)
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Излетничко место Марков Манастир
**Техничка организација:** Високо квалитетни климатизирани туристички автобуси и лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

***МЕСТО:*** Излетничко место Парк шума Гази Баба
***ОПФАТЕНОСТ:*** I – IX одд.
***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:***

- одделенските наставници и класните раководители
- учениците

***ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА УЧИЛИШНИТЕ ИЗЛЕТИ:***

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во посетените региони;
- Социјализација и колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување.
**Раководител на екскурзијата**: Директорот на училиштето
**Одговорни наставници:** одд.наставници и класните раководители.
**Време на реализација**: Април/Мај (пролетна)
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,

- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Излетничко место Парк шума Гази Баба

**Техничка организација:** Градски или меѓуградски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси и лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДД.

- **Вид на туризам:** домашен
- **Вид на екскурзија:** наставно - научна
- **Времетраење:** еднодневна
- **Време на реализација:** септември/октомври 2023
- **Опфатеност на ученици:** III - 1, III - 2, III - 3.
- **Објект на посета (реализација):** Тетово: Шарена џамија, Лешочки Манастир „Св.Анастасиј"
- **Раководители на екскурзија:** Адријана Сандева, Даниела Наумовска и Северџан Касами

**Цели:**

1) Учениците да се запознаат со природно- географските карактеристики на Тетовскиот регион
2) Да се запознаат со културно-историските споменици и етнографските особености на регионот
3) Градење меѓусебна доверба, другарство, комуникација
4) Меѓусебна соработка наставник-ученик; ученик-ученик
5) Развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости
6) Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Техничка организација:** Градски или меѓу градски климатизирани безбедни и квалитетни автобуси, туристички водич и лекар.

**Финансирање:** од страна на родителите

**Реализација на екскурзијата:**

- **Поаѓање:** пред училиштето во 7: 30 часот со краток состанок со учениците
- **Релација на движење:** Скопје, Тетово
- **Посета на Тетовскиот регион:**
  - Се патува за Тетово
  - На учениците им се објаснува за Стапанскиот развој и културно историските знаменитости на тој регион,
  - По пристигнувањето во градот се посетува Шарена Џамија, а потоа се посетува Лешочки Манастир„Св.Анастасиј".
  - По кратката посета учениците се подготвуваат за враќање.
- **Враќање: тргнување во 15 часот, пристигнување 18:30 часот.**

**Подготвиле:** тим на планирање на екскурзијата
- **Директор:** м-р Анита Ангеловска
- **Наставници:** Маја Цекова,Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами
- **Наставници:** Даниела Наумовска, Адријана Сандева, Северџан Касами

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Вид туризам**: домашен
**Вид екскурзија**: наставно-научна
**Времетраење**: 2 дена
**Време на реализација**: април/мај 2024
**Опфатеност на ученици**: VI одделение
**Релација на движење** : Скопје – Стоби – Демир Капија - Струмица - Дојран - Радовиш - Скопје
**Раководители на екскурзија**: Блажица Србиновска, Маја Цекова, Сание Гани

**Мотиви**

1. природни
- геоморфолошки
- хидрографски
- климатски
- биогеографски

2. општествени
- културно-историски
-етнографски
-разни манифестации

**Цели**

1. Да се запознаат со природните карактеристики на источниот дел на РС.Македонија
2. Да се запознаат со културно историските знаменитости на регионите и нивното значење
3. Да се гради кај учениците меѓусебна доверба, другарство, самостојност и комуникација
4. Да се развие соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик- објект
5. Развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости
6. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Техничка организација**
Високо квалитетни климатизирани, безбедни туристички автобуси и туристички водич и лекар
**Финансирање:** од страна на родителите

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Прв ден :**
**Тргнување во 07.30 мин пред училиштето.** Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Се посетува античкиот град Стоби. Потоа се посетува винаријата „Вила Марија". Потоа се упатуваат кон Дојран каде што имаат посета на градот и посета на граничниот премин Дојрани. Се упатуваат кон Струмица каде што

се посетуваат Колешински водопади. Прошетка низ градот Струмица. Се преноќува во Струмица.

**Втор ден :**

По доручекот се упатуваат кон посета на манастирот Водоча, а потоа манастирот Вељуса. Следува враќање во хотел со ручек и мал одмор. По ручекот се упатуваат кон Радовиш каде ќе ја посетат црквата Св. Трсица. По нејзиното разгледување се продолжува кон Скопје и се пристигнува во вечерните часови.

**Тим за планирање на екскурзијата:**

**Директор:** м-р Анита Ангеловска

**Наставници:** Маја Цекова,Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами

**Одделенски раководители:** Благица Србиновска, Маја Цекова, Сание Гани

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

**Вид туризам**: домашен

**Вид екскурзија**: наставно- научна

**Времетраење**: 3 дена

**Време на реализација:** септември/октомври 2023

**Опфатеност на ученици**: IX-1, IX-2, IX-3

**Релација на движење**: Скопје – Прилеп - Крушево – Битола – Охрид - Струга-Вевчански Извори –„Св. Јован Бигорски" - Маврово - Скопје

**Раководители на екскурзија:** Биљана Арсова, Габриела Јорданов, Фатон Ганиу

**Мотиви**

1. природни
- геоморфолошки
- хидрографски
- климатски
- биогеографски

2. општествени
- културно-историски
-етнографски
-разни манифестации

Цели:

1. Да се запознаат со природните карактеристики на централниот и западниот дел на РС.Македонија;
2. Да се запознаат со културно - историските знаменитости на регионите и нивното значење;
3. Кај учениците да се гради меѓусебна доверба, другарство, самостојност и комуникација;
4. Развој на соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-објект.
5. Развивање интерес и негување на културно-историските знаменитости
6. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење.

**Техничка организација:** Високо квалитетни климатизирани, безбедни туристички автобус, туристички водич и лекар.
**Финансирање:** Од страна на родителите

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Прв ден :**
Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Се оди кон Прилеп со посета на Маркови Кули со кратка пауза. Се продолжува за Крушево со посета на културно-историските знаменитости на градот, спомен куќата и Музејот на Тоше Проевски. Се патува преку Демир Хисар кон Битола каде се посетува Хераклеа и Музејот на албанската азбука. Патот продлжува кон Охрид со пристигнување во вечерните часови. Следува сместување во хотел, вечера и ноќевање.
**Втор ден :**
Појадок во хотелот и посета на Неолитската населба "Наколец" и Св. Наум. Враќање во хотел, следува ручек и мал одмор. Во 16 часот се оди во посета на градот Охрид, прошетка низ стариот дел на Охрид, посета на Плаошник, Канео и Самоилова тврдина. Вечерта следува организирана забава во хотелот или во градот.
**Трет ден :**
Појадок во хотелот по што следи кратка посета на Билјанини Извори и прошетка низ градот. Ручек во хотелот и заминување преку Струга кон Вевчанските Извори. Од таму се патува кон Манастирот „Св. Јован Бигорски" и Маврово со разгледување на Мавровското Езеро. Потоа се продолжува во Тетово се посетува Шарена џамија. По кратка пауза се патува кон Скопје со пристигнување од 19.30-20.00 часот.

**Тим за планирање на екскурзијата:**
**Директор:** м-р Анита Ангеловска
**Наставници:** : Маја Цекова,Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами
**Одделенски раководители:** Биљана Арсова, Габриела Јорданов, Фатон Ганиу

## Програма за реализирање на Настава во природа

**Училиште:** ООУ "Кирил и Методиј"-Стајковци
**Времетраење**: 5 дена
**Опфатеност на ученици**: Ученици од V одделение
**Време на реализација:** Април/ Мај 2024
**Место:** Охрид
**Техничка организација:** Високо квалитетни климатизирани туристички автобуси, туристички водич и лекар.

Објектите во кои се изведува наставата во природа имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за реализација на основно воспитани и образование согласно возрастана учениците.

**Цели:** Целта на Наставата во природа е преку повеќедневен престој на учениците надвор од местото на живеење преку (низ) едукација, рекреација, прошетки, забави, спортување и другарување со примена и користење на современи педагошки форми, методи и техники за работа со целосно ангажирање на одделенските раководители и други стручни кадри за соодветни теми според програмата, да се обезбеди целосно воспитание и образование на учениците.

Да се надминат етничките, социјалните и други разлики во индивидуалниот развој и сваќања на учениците со што ќе се обезбеди формирање на здрава и сестрана личност, способна активно и креативно да се вклучи во понатамошниот воспитно образовен процес и во други сфери на живеење и работа.

**Задачи:** Со обработка на соодветни теми и наставни содржини треба да се обезбеди:

- Стекнување, проширување и утврдување на нови знаења за природата, природните богатства и убавини, релјефот, водата, климата, растителниот и животинскиот свет и друго.
- Запознавање со животот и работата на луѓето во крајот со поблиското и подалечното минато за посетениот крај - регион.
- Да се запознаат со позначајните културно - историски, стопански и други објекти на посетениот регион.
- Да ги стекнат основните сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина.
- Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во посетениот регион.
- Да можат да го препознаваат растителниот свет и тревната вегетација како и нивното општествено и стопанско значење.
- Да се оспособат за ориентација и движење во просторот.
- Да се стекнат и негуваат работни, да стекнат хигиенски навики и одржување на лична и општествена хигиена.
- Да се негува другарски однос и меѓусебно почитување, да се стекнат со натпреварувачки дух, како и остварување на целите и задачите на физичкото, здравственото, естетското, работно-техничкото и друго воспитание и образование.

**Наставни теми:**

1.Образование и воспитание

Во зависност од временскиот период и условите во објектот како и во согласност со Годишната програма на одделенските наставници и тоа:

- Математика: Обработка на нови наставни содржини - работа со податоци, календар и временски интервали, решавање проблеми – повторување.
- Македонски јазик: Изразување и творење, извештај за посетите, читање на текстови за локалитетите во Охрид.
- Општество: Нашата татковина преку техника - коцка, проектна задача.
- Ликовно образование: Сликање во природа, Изработка на книга.
- Музичко образование: Слушање музика и пеење песни по избор на учениците.

2. Животна средина

Ќе се обработуваат следните наставни содржини: поим и значење на животната средина, како треба да се однесуваме во просторот т.е животната средина, водата и нејзиното стопанско значење, езера и видови езера

3.Спорт:

- Утринско вежбање, пешачење во природа, атлетски игри и натпревари, спортски игри(фудбал, кошарка, ракомет, одбојка), рекреативно забавни игри.

4. Забава и култура
- Формирање на ученички секции (литературна, ликовна, музичка и др.)
- Изготвување план за работа на ученичките активности- интереси
- Програма за вечерни активности
5.Општествено корисна работа
- Учениците ќе изготвуваат производи во зависност од расположливиот материјал што го имаат, изготвување на ѕиден весник со лични ликовни и литературни творби.
6.Хигиена
- Лична хигиена (прибор за лична хигиена, употреба и одржување на лична хигиена)
- Општа хигиена (одржување на хигиената во спалните соби, одржување на личната опрема, средување на креветите, одржување и чистење на дворот и околината.)
7. Здравје
- Медицински персонал
- прегледи по потреба/упатства и лекарства
8.Исхрана
- Трпезарија
- Примерно однесување за време на исхраната
- Листа/мени за исхрана

## Организација на патувањето

**Место на поаѓање:** пред училиште
**Време на поаѓање:** Во 7,00 часот за учениците, а наставниците во училиште да бидат во 6,30 часот.
**Релација на движење:**Стоби - Прилеп (могилата на непобедените, споменикот на Итар Пејо) - Битола (Хераклеа) - Крушево (спомен Куќата на Тоше Проески) - Охрид (Самоилова тврдина, Старата Чаршија, Охридската куќа, Чинарот, Плаушник, Билјанини извори) - Св.Наум - Заливот на коските - Струга - Вевчанските извори - Скопје.
**Носител на активности:**
Одделенски раководители-ментори
Помошен персонал-инструктор
Медицинска сестра и опслужувачи

## Распоред на времето - Куќен ред

| | |
|---|---|
| 1.Станување | 7:00 часот |
| 2.Утрински вежби | 7:15 - 7:45 |
| 3.Лична хигиена и уредување на просториите | 8:00 - 8:30 |
| 4.Појадок | 8:30 - 9:00 |
| 5.Подготовка за настава | 9:00 - 9:30 |
| 6.Реализација на наставата и враќање во објектот | 9:30 - 12:30 |
| 7.Подготовка за ручек | 12:30 - 13:00 |
| 8.Ручек | 13:00 - 14:00 |
| 9.Попладневен одмор | 14:00 - 15:30 |
| 10. Попладневна настава-активности | 16:00 - 17:00 |
| 11 .Спортски активности | 17:00 - 18:00 |
| 12. Подготовка за вечера | 18:30 - 19:00 |
| 13. Вечера | 19:00 - 20:00 |

14. Културно забавна програма — 20:30- 21:30
15. Подготовка за спиење — 22:00 часот.

**Глобална ориентациона програма**

**Предмет: Настава во природа за ученици од V одделение**

**1 ДЕН:** Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Посета на Стоби, Прилеп (могилата на непобедените, споменикот на Итар Пејо), Битола (Хераклеа), Крушево (спомен Куќата на Тоше Проески). Се продолжува за Охрид и во вечерните часови се пристигнува во Охрид. Сместување во објектот, вечера, забава и подготовка за спиење.
**2 ДЕН:** Претпладне: Посета на градот Охрид (Самоилова тврдина, Старата Чаршија, Охридската куќа, Чинарот, Плаушник, Билјанини извори)
Попладне: Попладневна настава - средување на впечатоците од посетите во градот (изработка на книга од собраните материјали од посетата на градот)
Навечер: Забава – по избор на учениците
**3 ДЕН:** Претпладне: посета на св.Наум, Заливот на коските.
Попладне: Средување на податоците од истражувањето и спортско рекреативни игри.
Навечер: вечера и забава
**4 ДЕН:** Претпладне: Посета на манастир
Попладне: Попладневна настава - сликање на манастирот и Охридското Езеро и избор на најубава творба.
Навечер: Забава (по избор на учениците)
**5 ДЕН:** По појадокот се посетува Струга и Вевчанските извори. Се тргнува кон Скопје со пристигнување од 19.30-20.00 часот.

**Изработиле**
**Тим за планирање:**
**Директор**: м-р Анита Ангеловска
**Наставници:** Маја Цекова,Габриела Јорданов, Габриела Постоловска, Сание Гани, Северџан Касами
**Наставници:** Габриела Постоловска, Дијана Илиевска, Рејхане Мемети

ООУ„Кирил и Методиј" - Стајковци
Гази Баба, Скопје

Директор:
м-р Анита Ангеловска

Скопје, јуни 2023 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit

Бр./Nr. 09-1052
6. 6. 2023 година/viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science - Bureau for development of education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Стајковци, Гази Баба, Скопје

Примено: 16.06.2023

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 310/3 | | |

**до:** ОСУ „Кирил и Методиј", Стајковци
Општина Гази Баба – Скопје

**од:** Биро за развој на образование,

**предмет:** Мислење за Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/2024 година

**дата:** 6.6.2023 година, Скопје

**наш број:** 09-9/50 од 31.5.2023

**број на страници:** 2

**Почитувани,**

Со допис во Бирото за развој на образованието имате доставено Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/2024 година со барање на мислење.

Во прилог ви доставуваме мислење по доставената Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците.

Со почит,
Бирото за развој на образованието
в.д. вон. директор
Dr. Mirvan Xhemaili

М.П.

Изготвил: м-р Оливер Станојоски, раководител на одделение

0/52

Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science Bureau for development of education

**Мислење за Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/2024 година**

Бирото за развој на образованието го разгледа вашето барање и подготви мислење за доставената Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од ООУ „Кирил и Методиј", Стајковци, Општина Гази Баба – Скопје во учебната 2023/2024 година .

Утврдено е дека доставената Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги содржи:

- воспитно-образовните цели, планирањето, задачите, содржината на активностите, стручниот тим, времетраењето, локациите на посета, техничка организација и начинот на финансирање на екскурзиите и другите вонучилишни активности.

Бирото утврди дека Програмата за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од ООУ „Кирил и Методиј", Стајковци, Општина Гази Баба – Скопје за учебната 2023/2024 година се изготвени согласно критериумите предвидени во „Правилникот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта".

Изготвил: м-р Олизер Станојоски, раководител на одделение

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
St. "Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 09-162
29.06. 2023 год.
Стајковци, Гази Баба, Скопје

Врз основа на член 127 став 4 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ број 161/2019 и 229/2020), и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година, Советот на родители на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци, на одржаната седница на ден 29.06.2023 година го дава следното:

МИСЛЕЊЕ

За Програмата за реализирање на ученички екскурзии и излети

за учебната 2023/2024 година

По разгледување на Програмата за реализирање на ученички екскурзии и излети и други вонучилишни активности за учебната 2023/2024 година, Советот на родители дава позитивно мислење за Програмата која е изготвена врз основа на критериумите предвидени во „Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта".

Претседател на Совет на родители

Евгенија Илиевска

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Наташа Тргачевска Мојсовски

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Крсте Мисирков'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''КРСТЕ МИСИРКОВ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Крсте Мисирков'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Крсте Мисирков'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ООУ “КРСТЕ МИСИРКОВ„ – СКОПЈЕ

УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА

# ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ

## ЗА УЧЕБНА 2023-2024 ГОДИНА

# План за изведување на еднодневен излет во парк шума Гази Баба за учениците од I - IX одделение

Место на одржување: **парк шума Гази Баба**

Време на реализација: **октомври 2023 година**

Одалеченост од училиштето: **6 км**

Наставни теми: **фудбал, одбојка, одење по нерамен терен, нашето минато**

Излетот се реализира со **учениците од I - IX одделение**

НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ:

- **Одделенските раководители**

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ

- ***Дејан Ангеловски, Бобан Величковски, Александар Цветковски***
  - Медицинско лице
  - Водство на патот

ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ:

Учениците да:

1. се запознаат со родниот крај – старите градби, цркви, манастири;
2. ја осознаат сегашноста преку минатото;
3. развиваат љубов кон природните убавини и културно историските знаменитости на нашата татковина;
4. се развива интерес за природата и градење на еколошки навики;
5. развиваат навики за правилно однесување во автобус, во природа и во културно историски објекти;
6. се осамостојуваат преку дружење со врсниците;
7. развиваат другарство, меѓусебно почитување и помагање преку спорт и рекреација;
8. развиваат интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

**Задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа,
- запознавање со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
    - да развиваат позитивен однос кон животната средина,
    - да се оспособат за движење и ориентација во просторот,
    - да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
    - да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Содржини и активности:**

Тргнување во 8:00 часот – пристигнување на местото. Разгледување и прошетка низ местото. Организирани активности од страна на одделенските раководители за учениците. Мал одмор и ручек (ланч пакет). Прошетка низ непосредната околина, запознавање со флората и фауната на местото и развивање навики за правилно однесување и заштита на непосредната околина. Подготовки за враќање.

**Одговорни наставници:**

- стручниот тим за екскурзијата
- одделенските наставници и
- класните раководители.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување**: Скопје – Гази Баба

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување со седиште за секое дете

**Начин на финансирање**: Самофинансирање од страна на родителите. Плаќањето се врши преку уплатници на жиро сметка на агенцијата.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

# План за изведување на еднодневен излет во Сарај
# за учениците од I - IX одделение

- Место на одржување: ***Сарај***
- Време на реализација: ***мај 2024 година***
- Одалеченост од училиштето: **17 км**
- Наставни теми: ***фудбал, одбојка, одење по нерамен терен,нашето минато***
- Излетот се реализира **со учениците од I – IX одделение**
- Одговорно лице за излетот: **Дејан Ангеловски, Бобан Величковски, Александар Цветковски**
- Медицинско лице
- Водство на патот

НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ: ***Одделенските раководители***

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ:**

1. Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта,
2. запознавање на средината и нејзините природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
3. развивање позитивен став кон спомениците и природната околина,
4. развивање на позитивна групна динамика,
5. развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навика за здраво живеење,
6. развивање на правилно држење на телото

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање
- поттикнување и развивање на другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

- стекнување навики на здраво живеење.

***Содржина и активности:***

- Поаѓање од училиште во 8.00 часот.
- Пристигнување, рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. Враќање во училиште во 15 часот.

***Одговорни наставници:***

- стручниот тим за екскурзијата
- одделенските наставници и
- класните раководители.

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

Локалитети за посета и правци на патување: Скопје – Сарај

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување со седиште за секое дете

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите. Плаќањето се врши преку уплатници на жиро сметка на агенцијата.

НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:

На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информаци

# План за изведување на Еднодневна екскурзија во Лешок, општина Теарце - Тетово за учениците од III одделение

**Лешочки манастир – црквите “Св.Атанасиј и Св.Богородица “**

Време на реализација: **октомври 2023 година**

Место на реализација:**Тетово, Лешочки манастир – црквите “Св.Атанасиј и Св.Богородица “**

Одалеченост од училиштето: **61 км**

Времетраење: **еден ден**

Место: **Лешок**

Одговорно лице: **Маја Атанасовска**

- Медицинско лице
- Водство на патот
- Екскурзијата се реализира со учениците од III одделение

**Наставници кои ќе реализираат:**

- Ивана Милковска
- Маја Атанасовска
- Снежана Танеска
- Јасминка Милошевска

**Воспитно – образовни цели**

Учениците:

• да се запознаат со културно - историските знаменитости во Република Северна Македонија;
• да се запознаат со верски обичаи и објекти;
• да ги запознава и осознава основните законитости и поими за природата околу себе;
• да се запознае со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
• да се запознава со основните природни и географски карактеристики во поширокатa околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
• да ја увиди поширокатa просторна ориентација на својата околина;
• да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
• да ги сознава и почитува културните и верските обичаи на луѓето во поширокатa околина;
• да гради чуство за толеранција и соживот;
• да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување
• да се потикнуваат и манифестираат позитивни емоции;
• подобро меѓусебно запознавање на учениците ;
• продлабочување на другарството ;
• да се елиминираат негативните навики, а да се негуваат позитивните навики за одржување на општа и лична хигиена;
• да покажува толеранција;
• да се потикнува да учествува во разни игри и да ги почитува правилата на играта

**Содржини:**

- Мојот роден крај
- Природни убавини и богатства на родниот крај
- Културно наследство  во Република Северна Македонија
- Традиција (традиционална храна, монети, обичаи, фолклор) во родниот крај
- Спортувам и играм

**Активности во денот :**

Тргнување од Скопје во 8.00 часот, пристигнување во „Лешочкиот манастир“, запознавање со православниот христијански манастирски комплекс, како и неговиот историјат. Екскурзијата продолжува со слободни активности во природа. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**Начин на реализација:**

- одредиштето е избрано според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Организација на патувањето**

- Локации: Скопје, „Лешочкиот манастир“ с.Лешок, Скопје.

**Црква „Св. Атанасиј“ - Лешок**

**Црква „Успение на Пресвета Богородица“ – Лешок**

**Техничка организација**

Вид на превоз : **Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување со седиште за секое дете**

Во цената на аранжманот е вклучено превоз со туристички автобус

Водство на патот

Носители на активности: **Одделенски раководители, ученици**

Начин на финансирање: **Самофинансирање од страна на родителите. Плаќањето се врши преку уплатници на жиро сметка на агенцијата.**

НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:

На одредиштето ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми ( писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати, цртежи и сл.) ќе се добијат повратни информации.

# План за изведување на Настава во природа во Крушево за учениците од V одделение

Наставата во природа се организира како активност за подобрување на квалитетот на наставата кај учениците од V одделение

**Наставници кои ќе реализираат:**
• Сузана Тошевска
• Борка Цифревска
• Наташа Неданоска

Одговорно лице: **Наташа Неданоска**
Медицинско лице
Водство на патот
Рекреатор

**ПРОГРАМА ЗА ПАТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ВО КРУШЕВО**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** мај 2024 год.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** пет дена во мај 2024 год.

**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:** Крушево

**НАСТАВНИ ТЕМИ:**

- Нашата татковина
- Природни убавини и богатства на нашата татковина
- Културно историско наследство во Република Северна Македонија
- Традиција (традиционална храна, монети, обичаи, фолклор) во родниот крај
- Спортувам и играм

**Ученици – учесници во настава во природа се:**

Во центарот на образовниот процес се ученици од V одд.

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

## ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:

- “Запознај ја татковината за да ја сакаш повеќе„ – релјефот (рид, ридче, планина, врв, подножје, страна, поле, рамнина, млади верижни планини, истечни и неистечни води), растителниот и животинскиот свет во овој дел на Западна Македонија;
- Да се запознаат со позначајните културно - историски споменици, стопански и други објекти во крајот;
- Да формираат позитивни ставови за спомениците на културата и да стекнуваат навики за посета и правилен однос кон другите споменици;
- Да го развиваат патриотизмот, хуманоста, толеранцијата и да го почитуваат туѓиот труд;
- Да стекнат основни сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- Да се запознаат со растителниот и животинскиот свет во овој крај;
- Да ја препознаваат и поврзуваат зависноста и поврзаноста на туризмот со минатото, културата и традицијата и да утврдуват кои облици на туризам би можеле да се развиваат;
- Утврдување на знаењата за ориентација во просторот, ориентација во природата според природни објекти, главни и споредни страни на светот;
- Да се запознаат со стопанскиот развој на овој крај;
- Соработка со останатите делови од татковината и нивна сообраќајна поврзаност;
- Подготвуваат изложба од собраниот материјал;
- Знаат да употребуваат различни извори на знаења;
- Развиваат толеранција кон другите култури, религии и народности;
- Развиваат правилен однос кон тимската работа;
- Развиваат самостојност, трудољубивост, трпеливост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, почитување на туѓиот труд, љубопитност, критичност;
- Развиваат одговорност кон исполнувањето на обврските кои ги прифатил и треба да ги исполни;
- Формираат навики за средување на работниот материјал, прибор, простор;
- Развивање на почит кон познатите и заслужните личности, љубов и негување на нашата богата музичка традиција , негување на нејзините модерни текови ; развивање на хуманоста , навиката и желбата да се помогне на другите.

## ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:

- Изучување на верски и историски објекти во овој крај;
- Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Република Северна Македонија;
- Развивање позитивен однос кон: историските, националните, културните и естетските вредности;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, толеранција и мултикултуризам;
- Запознавање со културата и начинот живот на луѓето во посетените краеви.

### Очекувани ефекти од наставата во природа се следните:

♦ Да се поттикне дружењето кај учениците, негувањето и чувањето на природните и културните богатства, како и развивањето на еколошката култура и свест;

♦ Учениците да ги надградат и прошират своите знаења низ разните форми на учење преку набљудување на природата, водите, планините, животинскиот и растителниот свет;

♦ Рекреација и забава за учениците низ предвидените спортски, музички и забавни активности.

## СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:

Три дена пред поаѓање учениците добиваат писмена информација со детална агенда и точно прецизирани содржини: време на поаѓање, термин за одмор и исхрана. Сместување со четири ноќевања во хотелско сместување, време за три оброци со мени на исхрана, термин за пристигнување назад во Скопје – Н.Ченто – Гази Баба. Во писмената информација учениците добиваат и препорака за неопходна гардероба, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ја понесат со себе.

### I ден

- Тргнување од местото на живеење,
- Попатни разгледувања и посети, - ( Течение на реката Вардар и Црна Река, Таорска Клисура);
- Спомен куќа на Коста Рацин;
- Антички град Стоби;
- Полјоделството во нашиот крај;
- Сместување во одморалиштето.

### II ден

- Излет до Станиќ и разгледување на скијачките терени,
  Набљудување на Панорамата на градот Крушево со поглед кон Пелагонија,
- Собирање лековити растенија.
  Попладневна рекреација со слободни активности. Со рекреаторот и наставниците.
  Подготовка за вечерна забава.

### III ден

- Посета на градот Крушево:старогрдската архитектура во градот, Спомен куќата на Тодор Проески, гробот на Тодор П., цркви, манастири, Македониум.Спомен куќата на Никола Мартиновски..
- (учениците прибираат материјали и го пишуваат дневникот)

- Попладневна рекреација до езерото и околната шума со рекреаторот и наставниците

**IV ден**

- Посета на Споменикот на Мечкин камен“ - историски час;
- Припремање за претставување на работата со изложба
- Попладневна рекреација на спортските терени со рекреаторот.
- Подготовка за вечерна забава- маскембал

**V ден**

- Појадок
- Подготовка за дома
- Попатно разгледување на знаменитости: Могила на непобедените, Музеј 11 Октомври во Прилеп,Спомен Костурница во Велес, панорамско запознавање со објекти крај патот и водење на карта на патување;
- Пристигнување во Скопје во попладневните часови – 18 часот

| Наставни подрачја, теми по предметите: општество,македонски јазик,музичко образование, математика, ликовно образование, физичко и здравствено образование | Наставна содржина |
|---|---|
| Т1:Нашата татковина Република Северна Македонија | Местоположба, природни особености на градот Крушево |
| Т3: Република Северна Македонија во светот | Споменици на културата, музите |
| Т3:Изразување и творење | Македонија – мултикултурна ризница |
| Т6:Народно музичко творештво | Фолклор, музички фолклор, народна песна |
| Т1: Цртање | Фолклорни елементи каде што ќе применува ритам во ликовните творби |
| Т2: Сликање | Сликање комбинација на мали и големи форми , со сликарска техника( предмети од народен фолклор,носии, колани , престилки) |
| Т :Танци | Играње народни ора со различно темпо и сложеност во чекорите. |
| Т 2Г:Работа со податоци и решавање проблеми | Собира, селектира и организира релевантни податоци. |

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа содржи училница која е опремена со наставни средства за деветгодишно основно образование на Република Северна Македонија.

## ОБВРСКИ НА РАКОВОДИТЕЛОТ, НАСТАВНИЦИТЕ , УЧЕНИЦИТЕ:

Раководител на настава во природа е директорот. Бидејќи директорот не е во можност секогаш да присуствува на излет, екскурзија, настава во природа, со решение назначува раководител од редот на наставниците. Присутни се и наставници кои предаваат во паралелките, одговорното лице од избраната туристичка агенција и медицинско лице и рекреатор кое ќе се грижи за здравјето на учениците.

Наставниците се гружат околу сместувањето на учениците во автобусите, редот, дисциплината и уредноста при посета на објектот и за безбедноста на учениците од поаѓањето, па се до враќањето.

Учениците од V одделение ќе бидат навреме писмено информирани околу реализација на настава во природа и цената на чинење по ученик.

Овие активности ќе се реализираат во соработка со Советот на родители ( навреме да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични потреби ). Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализација на настава во природа (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 50% од родителите во одделение наставата во природа нема да се реализира.

За време на реализација на наставата во природа учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на наставата во природа и одделенските наставници, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети и објекти, да ги известат насатвниците за појава на здравствен или друг проблем и да се движат во група со одделенскиот наставник.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА :

НАСТАВА ВО ПРИРОДА – ПЕТ ДЕНА Од понеделник до петок во текот на месец мај

ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА - МЕСЕЦ МАЈ 2024 ГОДИНА..

## ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТИ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТИ: За време на наставата во природа планирано е посета на - Спомен куќа на Коста Рацин; Антички град Стоби;

Крушево, Излет до Станиќ; Спомен куќата на Тоше Проески, споменикот Македониум, Мечкин Камен, Могила на непобедените, Музеј 11 Октомври во Прилеп, Спомен Костурница во Велес, Скопје;

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

**ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗАЦИЈА**

1. Планирана настава во природа во Годишната програма за работа на училиштето е усвоена на Наставнички совет и Совет на општината Гази Баба

2. Запознавање на родителите со реализацијата на настава во природа

- На првата родителска средба родителите ќе бидат запознаени со програмата за изведување на настава во природа - Крушево и ќе бидат поделени анкетни листови на родителите за добивање на повратна информација за одзивот.

- На Советот на родители ќе биде формирана комисија од родителите на V одд. и двајца одделенски наставници.

3. Одлука на училишен одбор

4. Наставниците кои предаваат во V одд. имаат планирано во своите годишни програми часови кои ќе се реализираат во тој период - прилог на неделни планирања за V одд.

По добивање на согласност за реализација на настава во природа од БРО, Општината и Советот на родители, програмата ќе се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на туристичка агенција и реализација на настава во природа.

Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на известување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат.

Училиштето ќе ги достави следните Критериуми:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност
- Да има успешно реализирање настава во природа, екскурзии (излети) најмалку три години по ред
- Да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патишта и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Да биде најприфатлива цена

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзии согласно правилникот за училишни екскурзии и други слободни активности.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови и тоа три члена од Советот на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализација на настава во природа. Во договорот се содржани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата
- Начинот на плаќање
- Водич, рекреатор, по можност предметниот наставник по физичко, број на наставници (според бројот на ученици кои ја посетуваат наставата во природа, лекар)
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со седиште за секој ученик и навремено ја информира Општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, број на ученици и други лица согласно правилникот за организирање ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализиацијата на настава во природа доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансискиот износ на настава во природа.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за настава во природа преку уплаќање на уплатница со одредена сума (преку жиро сметка).

# План за изведување на Дводневна екскурзија низ источна Република Северна Македонија за учениците од VI одделение

- Време на реализација: ***мај 2024***
- Место на реализација: ***Источна Македонија***
- Времетраење: ***два дена***
- Место: ***Струмица***
- Одговорно лице: ***Фросина Алексовска***
- Наставници кои ќе реализираат: Одделенски раководители на VI-1, VI-2 и VI-3 одд.



- Воспитно – образовни цели

**Учениците:**

- да се запознаат со природно – географските, биолошко – еколошките и други особености во Источна  Македонија
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- да ги запознава и осознава основните законитости и поими за природата околу себе;
- да се запознае со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во поширокатa околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
- да ја увиди поширокатa просторна ориентација на својата околина и општините во Р. Северна Македонија;
- да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во семејството и поширокатa околина (општината) со животот и работата на луѓето во минатото;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во поширокатa околина (општината);

- **Воспитно образовни задачи:**

- развивање чувство за патриотизам , толеранција и соживот;
- да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување
- да се потикнуваат и манифестираат позитивни емоции;
- подобро меѓусебно запознавање на учениците, продлабочување на другарството и надминување на националните , верските, социјалните и другите разлики;
- елиминирање на негативните навики како и негување на позитивните навики за одржување на општа и лична хигиена;

➢ **Содржини:**

- Запознавање на природата и екологијата
- Запознавање со културно – историските знаменитости
- Етнологија и културно наследство во источниот дел на Република Северна Македонија
- Запознавање со географските одлики, природните богатства стопанството и индустријата
- Проширување на знаењата за животинскиот и растителниот свет застапен во Република Северна Македонија

➢ **Активности по денови :**

**1 ден:** Тргнување од Скопје во утринските часови. Попатно панорамско разгледување на Куманово, посета на Куклици, посета на Кратово и запознавање на учениците со старата градска архитектура застапена во Кратово, посета на градскиот музеј. Попатна посета на Пробиштип, посета на фабриката Баргала во Штип и посета на манастирските комплекси во Водоча и Вељуса. Пристигање во Струмица во попладневните часови, сместување, попладневно разгледување на центарот на Струмица. Вечера и културно забавна програма за учениците.

***Куклици – Кратово***

***Фабрика Баргала***

***Водоча - Струмица*** ***Вељуса - Струмица***

**2 ден:** Појадок, посета на термите во Банско, Колешински водопади, Мокренски извори. Враќање во хотелот, ручек и поаѓање за Скопје. Попатна посета на Дојранското езеро, набљудување на ендемската флора и фауна, посета на каналот за полнење на Дојранското Езеро. Враќање во Скопје во 18 часот.

***Колишински водопади*** ***Дојранско езеро***

- **Организација на патувањето**

Локации: Скопје, Куманово, Кратово, Пробиштип, Штип, Струмица, Дојран, Скопје.

- **Техничка организација** Вид на превоз: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување со седиште за секое дете

Во цената на аранжманот е вклучено превоз со туристички автобус
Сместување и услуги – според програмата
Медицинско лице
Водство на патот
Носители на активности: Оделенски раководители, ученици
Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите. Плаќањето се врши преку уплатници на жиро сметка на агенцијата.

# План за изведување на Тродневна екскурзија низ Западна Македонија за учениците од IX - то одделение

- Време на реализација: ***мај 2024***
- Место на реализација: ***Западна Македонија***
- Времетраење: ***три дена***
- Место : ***Охрид***
- Одговорно лице: ***Валентина Мишевска***
- Медицинско лице
- Водство на патот
- Екскурзијата се реализира ***со учениците од IX одделение***
- Наставници кои ќе реализираат:
  - ***Анета Чаковска***
  - ***Анета Топалова***
  - ***Маја Виденовиќ***
  - ***Валентина Мишевска***
- Воспитно – образовни цели

***Учениците да:***

- се запознаат со родниот крај – старите градби, цркви, манастири;
- ја осознаат сегашноста преку минатото;
- развиваат љубов кон природните убавини и културно историските знаменитости на нашата татковина;
- се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- се развива интерес за природата и градење на еколошки навики;
- развијат позитивен однос кон националните културните и естетските вредности;
- развиваат навики за правилно однесување во автобус, во природа и во културно историски објекти;
- се осамостојуваат преку дружење со врсниците;
- развиваат другарство, меѓусебно почитување и помагање преку спорт и рекреација;
- развиваат интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

**Охрид**

**Содржини и активности:**

**1 ден:** Тргнување од Скопје во 8 часот. Попатна посета на: национален парк Маврово, кањонот на Радика, манастирот Св. Јован Бигорски, панорамско разгледување на мостот Елен скок, природно научен музеј во Вевчани и Вевчански извори. Пристигнување во Охрид во попладневните часови и сместување во хотелот. Вечера во 19.30 часот. Организирана забава. Ноќевање.

**2 ден:** Појадок. Поаѓање од хотелот во 9 часот. Посета на манастирскиот комплекст Св. Наум и изворите. Посета на наколната населба Градиште. Ручек во просториите на хотелот од 14.00 часот до 15.30 часот со попладневен одмор. Посета на црквата Св. Јован Канео и Св. Софија и прошетка низ охридската чаршија. Враќање во хотелот и вечера во 19:30. Организирана забава. Ноќевање.

**3 ден:** Појадок. Поаѓање од хотелот во 9.00 часот. Посета на тврдина на Цар Самуил и комплексот Плаошник. Враќање во хотелот за ручек. Поаѓање за Скопје во попладневните часови. Пристигнување во Скопје во 18.00 часот.

- Раководител на екскурзијата ***одделенски раководители на 9-то одд.***
- Начин на реализација:
  - одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
  - во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.
- Организација на патувањето
- Локации: ***Скопје, Маврово, манастир Св. Јован Бигорски, Ростуше, Охрид, Вевчани, Дебар, Скопје***.
- Техничка организација

Вид на превоз : Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување со седиште за секое дете

Во цената на аранжманот е вклучено превоз со туристички автобус

Сместување и услуги – според програмата

Медицинско лице

Водство на патот

Носители на активности: Одделенски раководители, ученици од IX одд.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите. Плаќањето се врши преку уплатници на жиро сметка на агенцијата.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации

## ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:
## ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗАЦИЈА

**1.** Планирана тродневна екскурзија во Годишната програма за работа на училиштето е усвоена на Наставнички совет и Совет на општината Гази Баба.

**2.** Запознавање на родителите со реализацијата на тродневна екскурзија

❋На родителска средба родителите ќе бидат запознаени со програмата за изведување на тродневна екскурзија во Охрид, ќе бидат поделени анкетни листови на родителите за добивање на повратна информација за одзивот.

**3**. Постапката ја спроведува Комисија формирана со одлука на Училишниот одбор. Комисијата е составена од пет членови и тоа три члена од редот на Советот на родители од IX одделение и два члена од редот на наставниците. Претседател на комисијата е еден од членовите на Комисијата од Советот на родители.

**4.** Одлука на училишен одбор

По добивање на согласност  за реализација на настава во природа од БРО, Општината и Советот на родители, програмата ќе се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на туристичка агенција и реализација на настава во природа.

Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на известување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат.

**Училиштето ќе ги достави следните Критериуми:**

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност
- Да има успешно реализирани настава во природа, екскурзии (излети) најмалку три години по ред
- Да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патишта и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Да биде најприфатлива цена

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзии согласно правилникот за училишни екскурзии и други слободни активности.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови и тоа три члена од Советот на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализација на настава во природа. Во договорот се содржани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата
- Начинот на плаќање
- Водич, број на наставници (според бројот на ученици кои ја посетуваат наставата во природа, лекар, рекреатор)

- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со седиште за секој ученик и навремено ја информира Општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, број на ученици и други лица согласно правилникот за организирање ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализиацијата на настава во природа доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансискиот износ на тродневната екскурзија.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за тродневната екскурзија преку уплаќање на уплатница со одредена сума (преку жиро сметка)

**Напомена**: Еднодневните излети ќе бидат организирани во соработка со партнер училиштата ООУ „25 Мај“, и ООУ „Кирил и Методиј“- ПОУ Страчинци, Општина Гази Баба , имплементирани во програма за МИО и Концепцијата за воннаставни активности.

**Забелешка*** Временската рамка за изведување на екскурзиите е ориентациона и зависи од временските услови или други објективни причини.

# ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ЗИМУВАЊЕ

**Место: Крушево, хотелско сместување**

**Одделение:** VI – IX одделение

## Планирање и организација

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ:**

- остварување на забавно - рекреативни и социјализациски цели
- развивање на различните интереси на учениците
- усвојување и проширување на односот во природата и општествената средина

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЗАДАЧИ:**

- развивање на чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- запознавање со познатите туристички центри во Р.С Македонија
- стекнување искуства од општествениот и социјалниот живот во одделни региони во Република Северна Македонија
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- стекнување културни навики во услови на групно патување и престојување во туристички центри
- потикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и подршка, солидарност и подобро взаемно запознавање
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура за здраво живеење

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

- општа физичка подготовка - најмалку две недели пред поаѓањето во училишната спортска сала ќе се организираат т.к.н.тренинзи за општа физичка подготовка на учениците кои ќе заминат на зимување, со посебен акцент на вежби за јакнење на долните екстремитети со цел да се обезбеди подобра адаптација на учениците за активностите што ги очекуваат при престојот на Крушево
- комплетирање и проверка на исправноста на опремата за скијање
- теоретско предавање за: начинот на транспорт на багажот, опремата за скијање, сместување во автобусот и хотелот, предавање за текот на активностите поврзани со скијањето и воопшто со престојот на Крушево, техники на скијање
- обука за скијање:
    1. обучување на техниката на спуштање со плужење
    2. обучување на основна христијанија (свртување)
    3. обучување на широко паралелно свртување
    4. усовршување и повторување на техниката на широко паралелно свртување на нерамен терен
    5. усовршување на изучените техники на пострми падини

6. теренско лизгање (возење) на подолги патеки со примена на совладаните техники и разни игри
7. проверка и анализа на совладаните техники
8. слободна изведба на совладаните техники

- посета на објекти од забавно-рекреативен карактер

**Носители на активностите:** учениците од VI - IX одделение и наставниците по физичко и здравствено образование

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација и времетраење:** Јануари ( за време на зимскиот распуст ) / седум дена ( шест полни пансиони )

**Правци на патување:** Скопје - Крушево -Скопје.

***<u>ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:</u>***

**Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Пристигнување во хотелот околу пладне, сместување. Ручек. Подготовки и одмор. Вечера и ноќевање.

**Втор - Шестти ден:** Планирани активности и исхрана на база полн пансион. Вечерта забава и ноќевање.

**Седми ден** Појадок и подготовка за напуштање на хотелот. Заминување за Скопје со попатни паузи. Пристигнување пред училиштето во попладневните часови.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, инструктор по скијање, аниматор и лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**Стручен тим на зимувањето:**

**Директор_____**

**Раководител _____**

**Предметен наставник _____**

**Одделенски наставник _____**

**Одделенски наставник _____**

# ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ЛЕТУВАЊЕ

**Место: во Охрид,  хотелско сместување.**

**Одделение:** VI - IXодделение

## Планирање и организација

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ:**

- остварување на  забавно - рекреативни и социјализациски цели
- развивање на различните интереси на учениците
- усвојување и проширување на односот во природата и општествената средина

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЗАДАЧИ:**

- развивање на чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- запознавање со познатите туристички центри во Р.С Македонија
- стекнување искуства од општествениот и социјалниот живот во одделни региони во Република Северна Македонија
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- стекнување културни навики во услови на групно патување и престојување во туристички центри
- потикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и подршка, солидарност и подобро взаемно  запознавање
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура за здраво живеење

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

- општа физичка подготовка - најмалку две недели пред поаѓањето во училишната спортска сала ќе се организираат т.к.н. тренинзи за општа физичка подготовка на учениците кои ќе заминат на летување, со цел да се обезбеди подобра адаптација на учениците за активностите што ги очекуваат при престојот во Охрид.
- теоретско предавање за: начинот на транспорт на багажот, опремата за летување, сместување во автобусот и одморалиштето, предавање за текот на активностите поврзани со пливањето и воопшто со престојот во Охрид
- обука за пливање:
    - прилагодување на телото во вода и подготвителни движења

- завземање на положба на телото во вода и движење на нозете (горе-доле) со помош на партнер, со и без помагало
- движење на рацете со помош на партнер, со и без помагало
- техника краул - координирано движење

- Возење велосипеди, возење ролери, спортски игри
- Активности: Изведување на содржините при утринско вежбање, Атлетика, Гимнастички вежби, вежби за обликување на телото
- Излети со пешачење, Планинарски тури Галичица
- Спортски игри: одбојка, кошарка, фудбал- натпревари
- Обука на кајак
- посета на објекти од забавно-рекреативен карактер

**Носители на активностите:** учениците од VI - IX одделение и наставниците по физичко и здравствено образование,

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација и времетраење:** за време на летниот распуст / седум дена ( шест полни пансиони )

**Правци на патување:** Скопје - Охрид -Скопје.

***<u>ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:</u>***

**Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Кичево. Пристигнување околу пладне, сместување. Ручек.

Подготовки и одмор. Вечера и ноќевање.
**Втор - Шестти ден:** Планирани активности и исхрана на база полн пансион. Вечерта забава и ноќевање.

**Седми ден:** Појадок и подготовка за напуштање на хотелот. Заминување за Скопје со попатни паузи. Пристигнување пред училиштето во попладневните часови.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, инструктор по пливање , воспитувачи, аниматори и лекар.

**Начин на финансирање:**Самофинансирање од страна на родителите.

**Стручен тим на летувањето:**

**Раководител _____**

**Предметен наставник _____**

**Одделенски наставник _____**

**Одделенски наставник _____**

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ КАМПУВАЊЕ

**Место: Маврово, Хотелско сместување.**

**Одделение:** VI – IX одделение

## Планирање и организација

### ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ:

- остварување на забавно - рекреативни и социјализациски цели
- развивање на различните интереси на учениците
- усвојување и проширување на односот во природата и општествената средина

### ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЗАДАЧИ:

- развивање на чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- запознавање со познатите туристички центри во Р. С Македонија
- стекнување искуства од општествениот и социјалниот живот во одделни региони во Р.С Македонија
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- стекнување културни навики во услови на групно патување и престојување во туристички центри
- потикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и подршка, солидарност и подобро взаемно запознавање
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура за здраво живеење

### СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:

- општа физичка подготовка - најмалку две недели пред поаѓањето во училишната спортска сала ќе се организираат т.к.н.тренинзи за општа физичка подготовка на учениците кои ќе заминат на кампување, со цел да се обезбеди подобра адаптација на учениците за активностите што ги очекуваат при престојот во Маврово
- теоретско предавање за: начинот на транспорт на багажот, опремата за кампување, сместување во автобусот и хотелот, предавање за текот на активностите поврзани со кампувањето и воопшто со престојот во Маврово.
- Вежби за обликување на телото и движења и развој на моторичките способности , комплекс на вежби
- Активности: Изведување на содржините при утринско вежбање

- **Излет со пешачење и планирање**
- Спортски игри

**Носители на активностите:** учениците од VI - IX одделение и наставниците по физичко и здравствено образование

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација и времетраење:** Јуни - Јули ( за време на летниот распуст ) / пет дена ( четири полни пансиони )

**Правци на патување:** Скопје - Маврово -Скопје.

***<u>ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:</u>***

**Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Тетово, Гостивар. Пристигнување околу пладне, сместување. Ручек.

Подготовки и одмор. Вечера и ноќевање.
**Втор - Четврти ден:** Планирани активности и исхрана на база полн пансион. Вечерта забава и ноќевање.

**Петти ден:** Појадок и подготовка за напуштање на одморалиштето. Заминување за Скопје со попатни паузи. Пристигнување пред училиштето во попладневните часови.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, инструктор по пливање и лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**Стручен тим на летувањето:**

**Директор _____**

**Раководител _____**

**Предметен наставник _____**

**Одделенски наставник _____**

**Одделенски наставник _____**

**Свети Наум Охридски**

**Крушево**

**Археолошки локалитет- Стоби**

**Охридско езеро**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
Бр. 01-2981/1
20.06.2023 год.
СКОПЈЕ

ОУ „КРСТЕ МИСИРКОВ„ – СКОПЈЕ

УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА



# ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ

## ЗА УЧЕБНА 2023-2024 ГОДИНА

CamScanner

# МИСЛЕЊЕ ОД СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ОД ООУ„КРСТЕ МИСИРКОВ“-СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
Бр. 09-4481/1
07.07 2023 год.
СКОПЈЕ

На одржаниот состанок на Советот на родители на 07.07.2023 год. ја разгледа Програмата за изведување на екскурзии,излети и други вонучилишни активности за учениците од ООУ Крсте Мисирков Скопје која се доставува до Бирото за развој на образованието и за истата даде позитивно мислење и до Советот на Општина Гази Баба .

Претседател
Коте Јанакиевски

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science - Bureau for Development of Education

Бр./Nr. 02-10/54
29.06.23 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
СКОПЈЕ

| Примено: 03-07-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 29813 | | |

До
**Основното училиште „Крсте Мисирков"**
**Општина Гази Баба**
**Скопје**

Предмет: Стручно мислење
Врска: Ваш допис бр.01-298/2 од 21.06.2023 година

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање бр. 01-298/2 од 21.06.2023 година за стручно мислење за Програмата за реализирање на ученички екскурзии и слободни активности за учебната 2022/2024 година, Бирото за развој на образованието Ве известува дека програмата на основното училиште „Крсте Мисирков", општина Гази Баба, Скопје беше внимателно разгледана.

Согласно, Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Бирото за развој на образованието, Ви дава стручно мислење.

Стручното мислење Ви го доставуваме во прилог.

Со почит,

в.д. ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР
Dr. Mirvan Xhemaili

изготвил: Весна Торбовска Василевска, советник
контролирал: Јулија Глигорова Трајаноска, раководител на одделение
одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Прилог: Стручно мислење



CamScanner

**Предмет: Стручно мислење за допис со бр. 01-298/2 од 21.06.2023 година**

Од доставената Програма за реализирање на ученички екскурзии и слободни активности за учебната 2023/2024 година на ООУ „Крсте Мисирков" од општина Гази Баба, констатираме дека основното училиште предвидува еднодневен есенски излет за сите ученици од I до IX одделение со место на реализација во парк шумата на Гази Баба во месец октомври 2023.

Во месец мај предвидена е еднодневна пролетна екскурзија за учениците од I до IX одделение со место на реализација во Сарај.

Согласно Правилникот, предвидена е еднодневна екскурзија за учениците од III одделение во месец октомври со место на реализација во Тетово, во Лешочкиот Манастир – црквите „Св. Атанасиј и Св. Богородица".

Наставата во природа за учениците од V одделение е предвидена во месец мај 2024 година со времетраење од пет дена со место на реализација во Крушево.

Дводневната екскурзија за учениците од VI одделение е планирана да се реализира во Струмица во месец мај и тродневната екскурзија за учениците од IX одделение е планирана да се реализира во Охрид во месец мај

Исто така во Програмата за екскурзии, излети и настава во природа за учебната 2023/2024 година на ООУ „Крсте Мисирков" предвидени се и воннаставни активности и тоа зимување во Крушево во хотелско сместување и летување во Охрид и Маврово.

Согласно, Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни ученички активности на учениците од основните училишта,

Бирото за развој на образованието смета дека Програма за реализирање на ученички екскурзии, и слободни активности за учебната 2023/2024 година на ООУ „Крсте Мисирков" од општина Гази Баба во Скопје за учебната 2023/2024 година ги задоволува основните критериуми пропишани со Правилникот и истите можат да се реализираат според доставените програми за организирање на екскурзии.

изготвил: Весна Торбовска-Василевска, советник



CamScanner

ООУ"Крсте Мисирков"
Нас.Маџари 2
Ул.Срећко Пужалка 65А
Тел. 2522-398
Тел/фах 2527-220
Mail.krstem@yahoo.com
Бр: 03-298/4
11.07.2023 година

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ
Примено: 12-07-2023
Орг. Един | Број | Прилог | Вредност
03 | 5700/1

**До**
**Совет на Општина Гази Баба**
**Скопје**

**Предмет**: Барање мислење за програмата за планирани екскурзии и други слободни актовности во училиштето за 2023/2024 година.

Општинското основно училиште „Крсте Мисирков"-Скопје бара да ни дадете мислење за планираните екскурзии и други слободни активности за учебната 2023/2024 година.

Прилог:
-Програма за планирани екскурзии бр.01-298/1 од 20.06.2023 година.
- Мислење од совет на родители бр.09- 448/1 од 07.07.2023 година

**Директор**
**Наташа Тргачевска Мојсовски**

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Александра Димитриевска

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "КРУМ ТОШЕВ" - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''КРУМ ТОШЕВ'' - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Крум Тошев'' - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "КРУМ ТОШЕВ" - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„ КРУМ ТОШЕВ ” - СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРУМ ТОШЕВ
Бр. 01-231/1
30.06 2023 год.
Трубарево - Скопје

# ГОДИШЕН ПЛАН И ПРОГРАМА

**За планирани екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2023/2024**

Општинско Основно Училиште КРУМ ТОШЕВ Трубарево - Скопје Република Северна Македонија

**СКОПЈЕ, 2023 г.**

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„ КРУМ ТОШЕВ ” - СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ПЛАН И ПРОГРАМА

## За планирани екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2023/2024

**СКОПЈЕ, 2023 г.**

## *Програма за планирани екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2023/2024*

Училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците се посебни вонучилишни облици на воспитно – образовна работа што се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми како совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.
Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од РС.Македонија.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

Во текот на учебната 2023/2024 година ќе бидат организирани:

| **Екскурзии / Излети** | **Време на изведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември/октомври | Парк шума Гази Баба, Матка, Дељадровце | I – IX одд. |
| Еднодневен пролетен излет | мај | Пеленица, Сарај, Пантелејмон | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | мај | Маврово | III одд. |
| Дводневна екскурзија | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Источна Македонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | април/мај (По посебно изготвена програма) | Охрид | V одд. |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

## *ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

**Место**: Парк шума Гази Баба, Матка, Дељадровце
**Воспитно образовни цели:**

- запознавање со природните ресурси и со културното наследство.
- градење на позитивен однос кон природата, културното наследство, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и нивните специфични природно-географски обележја;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат учениците, како и кон животните;

**задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.
**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.
**Раководител на екскурзијата:** Гоце Петровски – наставник по историја
**Одговорен наставник:** Бојан Станковиќ – наставник по музичко образование.
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација :** крај на септември- почеток на октомври.
**Локалитети за посета и правци на патување :** Трубарево – Парк шума Гази Баба, Матка, Дељадровце
**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.
**Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

## *ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

***Место:*** Пеленица, Сарај, Пантелејмон

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со атрактивно место во близина на Скопје и природните убавини и знаменитости
- запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овој простор,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овој простор,
- развивање на позитивна групна динамика,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

**Раководител на екскурзијата:** Билјана Димитриевска – одделенски наставник

**Одговорен наставник:** Ирена Камчева Младеновска - наставник по математика.

**Време на реализација :** Мај

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Трубарево - Пеленица, Сарај, Пантелејмон

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

## *ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ*

**Време на реализација**: мај
**Место на одржување:** Маврово, Мавровско езеро

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и
  подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од III одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Билјана Димитриевска, одделенски раководител на III -2 одд.
**Одговорен наставник:** Благица Тодевска одделенски раководител - III-1 одд.
**Финансирање:**Трошоците на патувањето ги сносат родителите.
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, туристички водич и лекар.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.
**План на патувањето:**
Поаѓање во 8: 00 пред училиште
Попатно разгледување на одликите на Западна Македонија
Посета на Маврово со запознавање на одликите и историското минато на националниот парк
Посета за Манастирот „Св. Никола“
Посета на Мавровско езеро
Враќање во 16 : 00

За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.

***ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ***
***- Источна Македонија***

**Време на реализација:** два дена во мај
**Место на одржување**: ***Источна Македонија***

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и
  подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од VI одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Бојан Станковиќ - класен раководител на VI одд.
**Одговорни наставници:** класните раководители VI-1 и VI-2 одделение: Бојан Станковиќ и Анета Серафимова Николовска
**Финансирање:**Трошоците на патувањето ги сносат родителите.
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:**На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.
**План на патувањето:**

***1. ден***

Прв ден. Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Куманово, со попатна посета на опсерваторија Кокино и Човеков Камен. Панорамско разгледување на градот Кратово, запознавање со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата и др. Се продолжува за Пробиштип, Штип и Радовиш се посетува црквата Св. Тројца. Се продолжува за Струмица, посета на Колешински водопади и Смоларски водопади, посета на „ Успение на пресвета Богородица“ и „ Св. Леонтиј“- Водоча, пристигнување во Дојран, сместување во хотел. Вечера. Организирана забава за учениците.Ноќевање.

***2. ден***

.Појадок, посета на граничен премин Стар Дојран. Ручек во хотелот. Поаѓање за Скопје преку Богданци, посета на штампаријата Софија, Гевгелија, Демир Капија и посета на Попова кула, Неготино. Се продолжува за Стоби со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамски разгледувања, фотографирања и попатни одмори се продолжува за Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Источна Македонија**

- учениците од VI/1 одд., одд. раководител: Бојан Станковиќ
- учениците од VI/2 одд., одд. раководител: Анета Серафимова Николовска

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

***ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА***
***– Западна Македонија***

**Време на реализација:** три дена во Септември/Октомври или Мај
**Место на одржување:** *Западна Македонија*

**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**задачи:**

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од IX одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Гоце Петровски - класен раководител на IX - 2 одд.
**Одговорни наставници:** класните раководители IX-1 и IX-2 одделение: Александра Димитриевска и Гоце Петровски
**Финансирање:**Трошоците на патувањето ги сносат родителите.
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.
**План на патувањето:**

- ***1.ден*** Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес, со попатен одмор на брегот на Велешкото Езеро. Се продолжува кон Прилеп, каде епредвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Од Прилеп се продолжува кон Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен -куќата на Тоше Проески. Се продолжува во Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден - Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел. Вечера, организирана забава за учениците. Ноќевање.

- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера. Ноќевање
- ***3. ден*** Појадок. Посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија, на истекот од Охридското Езеро и по течението на Дрим, посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

**Ученици - учесници во тродневна екскурзија низ Западна Македонија**

- учениците од IX-1 одд, одд. раководител: Александра Димитриевска
- учениците од IX-2 одд, одд. раководител: Гоце Петровски

За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.

## ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Време на реализација:** три до пет дена во април или мај
**Место на одржување:** Охрид
**Наставни теми:** животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето минато, скокови во далечина, пеење

## ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

- **Глобални цели**

Учениците непосредно да се здобијат со знаења, претстави и поими за природната средина и општественото живеење на луѓето во крајот што ќе го посетат, како и запознавање со историското минато, културно - историските знаменитости, ширење на пријателство и соработка со врсниците од крајот што се посетува. Предзнаењата и знаењата стекнати во училиштето и домот се дополнуваат, се дооформуваат, се потврдуваат и се систематизираат;

- **Цели**

- да се поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- да се оспособуваат за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- да се оспособуваат за критички осврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособуваат за активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен (трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, споредување и средување податоци, истражување, анализа и синтеза на стекнатите знаења);
- да се запознаат со природните богатства/ресурси;
- да се разберат настаните, појавите, природни богатства, стопанството, културно-историски споменици и знаменитости, културата и традицијата на делови од Р.Македонија);
- да се развиваат способностите на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторно претставување, ориентирање и снаоѓање);
- поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења, соработка со други во групата, соработка со возрасни);
- социјализација и едукација на учениците;
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;

- **Наставни форми**

Заедничка
Групна
Парови/тандем
Индивидуална

- **Наставни методи**

Говорна метода
Текст метода
Метод на пишување
Метод на практична работа
Метод на проблемско учење
Метод на учење со откривање
Метод на истражување
Метод на игра

- **Активни методи**

- автентично учење
- учење преку решавање проблеми
- акциски проект
- критичко размислување
- самостојно истражување
- стратегии за критичко мислење

- **Техники на учење**

Бура на идеи
Грозд
Умна мапа
Интервју
Минутна работа
Петоред
ЗСУ- знам, сакам да знам, учам

ЗАДАЧИ
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции
- позитивен однос конверските и културните вредности
- социјализација и колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за мздраво живеење
- развивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и добри меѓусебни односи.

## *ПЛАНИРАНИ ПОСЕТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕСТОЈОТ ВО ОБЈЕКТОТ:*

Панорамско запознавање со објектите и локалитетите крај патот и водење карта на патувањето:

- Полошка Котлина-Гостивар, Вруток (посета)
- Мавровско Езеро (панорамско разгледување)
- По текот на реката Радика (панорамско разгледување)
- Манастир Св.Јован Бигорски (посета)
- ХЕЦ,,Глобочица,,-Дебарско Езеро( панорамско разгледување)
- Вевчански извори (посета)
- Струга, куќата на браќата Миладиновци (посета)
- Посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“,
- Набљудување на истекот на реката Црн Дрим-Мостот на поезијата (посета)
- Посета на хотел (разговор за туризам)
- Охрид, Плаошник, Самоилова тврдинина (посета)
- Куќата на Робевци (посета)
- Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, (посета)
- Битола, Хераклеа (посета)
- Прилеп, Могила на непобедени (посета)
- Велес, Велешко Езеро (панорамско разгледување)

## ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЧКОТО УЧИЛИШТЕ

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, како и зависноста на луѓето од природните услови и менување на средината на живеење, работа и секојдневен живот на луѓето во крајот.
- Запознавање со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење.
- Да се запознаат со позначајни културно-истористки, стопански и други објекти како што се: црква Св.Стефан, Манастир Св.Јован Бигорски, посета на куќата на браќата Миладиновци, посета на куќата на Робевци, посета на Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, Манастир Св.Наум и извор на Црн Дрим, Хераклеа, Могила на непобедените.
- Да стекнат основни сознанија за Екологијата, да развиваат позитивен однос кон животната средина.
- Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет на Охридското Езеро.
- Да ги препознаваат, собираат и ја знаат користа од лековитите билки.
- Да се запознаат со занимањата на луѓето во крајот( рибарство, туризам, угостителство и др.)
- Да се оспособат за движење и ориентација во просторот.
- Учениците да се вклучат во извршување на различни задачи, притоа да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина.
- Да стекнат и негуваат работни и хигиенски навики за одржување на лична и општа хигиена.
- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен натпреварувачки дух, правилен психички развој како резултат на позитивното влијание на повеќедневен престој во здрава природна средина.

## ПОДГОТОВКИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

**Прв ден**

 Сместување на учениците и багажот во автобусот. Поаѓање во 8.00 часот пред училишната зграда.
 Се патува преку Тетово, Гостивар, с.Вруток (попатно-панорамско набљудување на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од каде што извира реката Вардар-Вруток, се продолжува Маврово (разгледување на Мавровското Езеро), посета на манастирот Св. Јован Бигорски.
 Посета на Вевчанските извори. На враќање посета на Струга и мостовите на реката Црн Дрим.
 Пристигнување во Охрид и сместување
 Запознавање со куќниот ред
 Вечера
 Прошетка и разгледување на непосредната околина.
 Пишување извештај за патувањето, попатното набљдување и реализираните посети. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Користење техника ЗСУ за стекнување нови знаења за градот Струга и неговите знаменитости. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден.
 Дружење и забава
 Лична хигиена
 Спиење во 22 часот

**Втор ден**

 Будење во 7.00 часот и средување на собите
 Лична хигиена
 Утринска гимнастика 7. 30 до 8. 00
 Појадок
 Посета на градот Охрид (посета на градот, чаршијата, Амфитеатарот, Самоилова тврдина, Плаошник , Св. Јован Канео)
 Ручек
 Попладневен одмор
 Вечера
 Дружење и забава, Организирање на спортски натпревари
 Пишување извештај за патувањето, попатното набљдување и реализираните посети. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Користење техника за стекнување нови знаења за градот Струга и неговите знаменитости. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во вториот ден.
 Лична хигиена
 Спиење во 22 часот

**Трет ден**

 Будење во 7.00 часот и средување на собите
 Лична хигиена
 Утринска гимнастика 7. 30 до 8. 00
 Појадок
 Посета на наколната населба во Градиште и манастирскиот комплекс Св. Наум Охридски и изворите на реката Дрим
 Ручек
 Попладневен одмор
 Организирање на спортски натпревари и социјални игри.

 Прошетка покрај езерскиот брег и собирање растенија, каменчиња и разни други природни материјали.
 Пишување на извештаи за посетите, нивна илустрација и презентација. Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден.
 Вечера.
 Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена.
 Организирана забава и дружење на учениците.
 Лична хигиена
 Спиење во 22 часот

**Четврти ден**
 Будење во 7.00 часот и средување на собите
 Лична хигиена
 Утринска гимнастика 7. 30 до 8. 00
 Појадок
 Подготовка на багажот 9. 00 – 10. 00
 Посета на градот Битола и Археолошкиот локалитет Хераклеа
 Ручек (попатно или ланч пакет)
 Прилеп, Могила на непобедени
 Посета на Археолошкиот локалитет Стоби
 Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

- **Активности во слободно време**

**Прва етапа од 11 до 12 часот**
Во ова време учениците активно се одмараат од претпладневните активности и тоа преку организирани прошетки и игри во природната околина на објектот. При крајот на оваа етапа учениците се подготвуваат за ручек.
**Втора етапа од 13 до 15 часот**
Време наменето за попладневен одмор
**Трета етапа од 15.30 до 17 часот**
Организирање квиз натпревари на знаење
**Четврта етапа 17.30 до 19 часот**
Организирање на групни натпревари во разни спортски активности. Подготовка за вечера
**Петта етапа 20 до 21.30 часот**
Активности од културно забавен карактер

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

- **Македонски јазик**

 Изразување и творење – Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината;
 Говорна и писмена вежба (истражуваме – учиме - пишуваме): Браќа Миладиновци, паркот на поезијата,
 Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно – историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.);
 Пишуваме извештај за посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“, илустрираме што ни остави впечаток;
 Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Вевчанските извори, Дељан (мрестилиште на јагули), Црн Дрим;

 Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Охрид (чаршија, Плаошник...)
 Изработуваме информативна книга;

- **Математика**

 Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци);
 Километар;
 Мерки – повторување;
 Работа со податоци;

- **Природа**

 Растителниот и животинскиот свет во и покрај вода – Охрид, релјеф;
 Живеалишта и врска меѓу организмите и живеалиштата;
 Растенија покрај езерскиот брег и блиската околина;

- **Општество**

 Традицијата и културно - историските карактеристики на Струга;
 Повторување на знаењата;

- **Музичко образование**

 Темпо: брзо – бавно;
 Знак за позвторување;

- **Ликовно образование**

 Сликање/цртање на впечатоци од посети (техника по избор);
 Ликовно изразување по доживување – слободна техника

- **Физичко и здравствено образование**

 Натпревар – народна топка;
 Фудбал, ракомет;
 Елементарни игри;

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од V одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата:** Билјана Димитриевска - одделенски раководител на V - 1 одд.

**Одговорни наставници:** одделенските раководители V-1 и V-2 одделение: Фанка Каралиева и Елени Димитрула Никодиновска

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Технички услови на објетот:**

- исхраната е подготвена по норматив, листа на јадења усогласена според возраста и поребите на учениците, три оброци и ужинка;
- сопствена здравствена амбуланта, здравствена заштита на учениците 24 часа;
- училници за изведување настава;
- спортски терени, услови за спотрско – рекреативен и културно – забавен живот;
- рекреатори;
- физичко обезбедување на објектот.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

***План за изведување на набљудувања и посети на знаменитости и установи***

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје, Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на ВМРО
- Библиотека "Другарче"
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Изложби
- Црква Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата: пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица

- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на: - лично обраќање кон други луѓе ;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар, претстава;

- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

***<u>Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:</u>***
Игор Китановски –вд директор
Фанка Каралиева - одделенски раководител.
Билјана Димитриевска - одделенски раководител
Бојан Станковиќ – наставник по музичко образование
Александра Димитриевска – наставник по македонски јазик

ВД Директор

_____

Игор Китановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр.Nr. 09-1061/23
7.7.2023
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРУМ ТОШЕВ
ТРУБАРЕВО - СКОПЈЕ

| Примено: 11. 07. 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 230/2 | | |

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**До: в.д. директор Игор Китанов**

**ООУ „Крум Тошев“**
**Трубарево - Скопје**

**Предмет**: Мислење за Програмата за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности за учениците во учебната 2023/2024 година

Почитувана,

Бирото за развој на образованието внимателно го разгледа барањето со бр. 03-230/1 од 30.6.2023 година доставено од страна на в.д.директорот на ООУ „Крум Тошев“, Трубарево – Скопје. Согласно член 7 став 2 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта во прилог Ви доставуваме мислење за Програмата за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2023/2024 година.

Со почит,

**В.Д. ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР**

**д-р Мирван Џемаили**

Прилог: Мислење за дописот со бр. 03-230 од 30.6.2023 година

Изработил: д-р Жанета Чонтева, советник
Одобрил: Љше Ајрулаи, раководител на сектор

10/61

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**Прилог: Мислење за дописот со бр. 03-230 од 30.6.2023 година**

Врз основа на барањето со бр. 03-230 од 30.6.2023 година на ООУ „Крум Тошев", Трубарево – Скопје, со кое се бара согласност за Програмата за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2023/2024 година, Бирото за развој на образованието констатира дека се доставени програми за организирање на следните екскурзии, излети и други вонучилишни активности:

1. Програма за изведување на еднодневен есенски и еднодневен пролетен излет за учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение што ќе се реализира во:
   а) Парк шума Гази Баба, Матка, Дељадровце (есенскиот);
   б) Сарај, Пантелејмон (пролетниот).
2. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III (трето) одделение што ќе се реализира како посета во Мавровo;
3. Програма за изведување на настава во природа за учениците од V (петто) одделение што ќе се реализира во Охрид;
4. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение што ќе се реализира во Источна Македонија;
5. Програма за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX (деветто) одделение што ќе се реализира во Западна Македонија.

Бирото за развој на образованието внимателно ја разгледа доставената Програма за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение од ООУ „Крум Тошев", Трубарево – Скопје во учебната 2023/2024 година и констатира дека доставената Програма за изведување на екскурзии, излети и вонучилишни активности на учениците од I (прво) до IX (деветто) одделение во учебната 2023/2024 година е во согласност со *Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основното образование* и истите **може да се реализираат**.

Изработил: д-р Жанета Чонтева, советник

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
+389 2 3064 131

02-752/3
09.08 23

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, советот на родители на ООУ Крум Тошев, на седницата одржана на ден 09.08.2023 година, се донесе:

# МИСЛЕЊЕ

за Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ Крум Тошев за учебната 2023/24 година

Член 1

По разгледувањето на Предлог- Програмата за реализирање на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ Крум Тошев за учебната 2023/24 година изготвена од страна на стручен тим, Советот на родители дава **позитивно мислење** за Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности.

Член 2

Мислењето за програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во ООУ Крум Тошев се дава за учебната 2023/24 година.

Претседател на Совет на родители

Зоран Соларов

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Светлана Петровска

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Наум Наумовски - Борче'', Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ
Бр. 09-312/4
10.08 2023 год.
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ДО

Советот на
Општина Гази Баба
С к о п ј е

ПРЕДМЕТ : Барање за одобрување на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/24 година

ООУ „ Наум Наумовски – Борче " Скопје - Гази Баба бара да ни дадете одобрување на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/24 година

ПРИЛОГ : - Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/24 година
- Стручно мислење за Програмата за екскурзии и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/24 година од МОН - Биро за развој на образованието

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Д и р е к т о р

Светлана Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ
Бр. 09-268/1
15.06 2023 год.
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ВО ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ“-СКОПЈЕ

## ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

**Програма за планирани екскурзии во учебната 2023/2024 година**

Со програмата за ученички екскурзии на ООУ„Наум Наумовски Борче" во учебната 2023/2024 година се предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на Република Северна Македонија како и зацврстување на другарството и взаемното почитување.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен), настава во природа за учениците од V одделение, еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение.

Во зависност од интересите на учениците и согласно временските услови можни се промени во планот за изведување на екскурзиите.

**План на ученичките екскурзии**

| Реализација | Одделение | Време на изведување | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет Сарај | I - IX одд. | Октомври 13.10.2023 година | Другарување, социјализација, непосредно запознавање со природното, културно-историското богатство и развивање на еколошка култура |
| Еднодневен пролетен излет с. Дељадровци | I - IX одд. | Мај 23.05.2024 година | Одмор, рекреација, социјализација, другарување и развивање на еколошката свест |
| Еднодневна екскурзија Северозападна Македонија | III одд. | Мај 23.05.2024 година | Другарување, социјализација, проширување на знаењата за природните убавини, стопанските објекти, културно-историските споменици, развивање на еколошка култура |
| Дводневна екскурзија Источна Македонија | VI одд. | Мај 9-10.05.2024 година | Другарување, социјализација, проширување на знаењата за природните убавини, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | стопанските објекти, културно-историските споменици, развивање на еколошка култура |
| Тридневна екскурзија Западна Македонија | IX одд. | Април 17, 18 и 19.04.2024 година | Другарување, социјализација, проширување на знаењата за природните убавини, стопанските објекти, културно-историските споменици, развивање на еколошка култура |
| Настава во природа четиридневна Охрид | V одд. | Април 16, 17, 18 и 19.04.2024 година | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор, рекреација, другарување, колективност, подигнување на еколошката свест |

## ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Одделение:** I - IX
**Место: Сарај**

**Воспитно-образовни цели :**

- непосредно запознавање со природните убавини и градење на еколошка свест;
- запознавање со културните вредности, традицијата и обичаите;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;
- спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење и имплементирање на еколошки навики;
- градење позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- социјализација и колективна заштита на учениците;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина на активности:**

- Организирање на спортски натпревари
- Слободни игри

Поаѓање пред училишната зграда во 09:00 часот.
Пристигнување, организирање на спортски активности, разгледување на непосредната околина и други слободни активности.
Враќање пред училишната зграда во 14:00 часот.
**Раководител на есенскиот еднодневен излет:** Директорот на училиштето.
**Одговорен наставник:** Дејан Боневски-наставник по физичко и здравствено образование.
**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските наставници и одделенските раководители.
**Времетраење:** еднодневен излет од 09:00 до 14:00 часот (13.10.2023 год.)
**Локации за посета и правци на патување:** посета на излетничко место Сарај. Правци на патување: н. Мајари- Сарај- и обратно.
**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

| Одделение | Број на ученици | Одделенски наставник/раководител | Број на ученици кои биле на еднодневен излет |
|---|---|---|---|
| I а | 14 | Елена Стаменковска-Мисајловска | |
| I б | 14 | Оливера Филиповска | |
| I в | 15 | Снежана Величковска | |
| II а | 27 | Катерина Јовановиќ | |
| II б | 27 | Марија Депиновска | |
| III а | 22 | Маре Ѓиревска | |
| III б | 23 | Елизабета Темелковска | |
| III в | 23 | Сања Груева | |
| IV а | 26 | Анета Пешевска | |
| IV б | 22 | Соња Николова | |
| IV в | 27 | Дијана Николовска | |
| V а | 26 | Виолета Силјановска | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V б | 23 | Гордана Ѓорѓиевска | |
| VI а | 23 | Соња Златевска | |
| VI б | 21 | Билјана Вељановска | |
| VI в | 20 | Даниела Кузманоска | |
| VII а | 22 | Јовица Николовски | |
| VII б | 28 | Александра Војнеска Зикова | |
| VIII а | 22 | Катарина Марковска | |
| VIII б | 21 | Сања Пецевски | |
| VIII в | 21 | Соња Ајдаревиќ | |
| IX а | 24 | Маја Станковска | |
| IX б | 16 | Маја Давидовска Бошевска | |
| **Вкупно ученици** | 507 | **Вкупен број ученици на еднодневен есенски излет** | |

## ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Одделение:** I - IX

**Место: с. Дељадровци**

**Воспитно-образовни цели :**

- непосредно запознавање со природните убавини и градење на еколошка свест;
- запознавање со културните вредности, традицијата и обичаите;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;
- спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење и имплементирање на еколошки навики;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- социјализација и колективна заштита на учениците;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина на активности:**

- Организирање на спортски натпревари
- Слободни игри

Поаѓање пред училишната зграда во 09:00 часот.
Пристигнување, организирање на спортски активности, прошетка во непосредната околина и други слободни активности.
Враќање пред училишната зграда во 14:00 часот.

**Раководител на пролетниот еднодневен излет:** Директорот на училиштето.
**Одговорен наставник:** Александра Војнеска Зикова- наставник по физичко и здравствено образование.

**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските наставници и одделенските раководители.
**Времетраење:** еднодневен излет од 09:00 до 14:00 часот (23.05.2024 год.).
**Локации за посета и правци на патување:** посета на Дељадровскиот манастирски комплекс. Правци на патување: н. Мађари-с. Дељадровци и обратно.
**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

| Одделение | Број на ученици | Одделенски наставник/раководител | Број на ученици кои биле на еднодневен излет |
|---|---|---|---|
| I а | 14 | Елена Стаменковска-Мисајловска | |
| I б | 14 | Оливера Филиповска | |
| I в | 15 | Снежана Величковска | |
| II а | 27 | Катерина Јовановиќ | |
| II б | 27 | Марија Депиновска | |
| III а | 22 | Маре Ѓиревска | |
| III б | 23 | Елизабета Темелковска | |
| III в | 23 | Сања Груева | |
| IV а | 26 | Анета Пешевска | |
| IV б | 22 | Соња Николова | |
| IV в | 27 | Дијана Николовска | |
| V а | 26 | Виолета Силјановска | |
| V б | 23 | Гордана Ѓорѓиевска | |
| VI а | 23 | Соња Златевска | |
| VI б | 21 | Билјана Велјановска | |
| VI в | 20 | Даниела Кузманоска | |
| VII а | 22 | Јовица Николовски | |
| VII б | 28 | Александра Војнеска Зикова | |
| VIII а | 22 | Катарина Марковска | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VIII б | 21 | Сања Пецевски | |
| VIII в | 21 | Соња Ајдаревиќ | |
| IX а | 24 | Маја Станковска | |
| IX б | 16 | Маја Давидовска Бошевска | |
| **Вкупно ученици** | 507 | **Вкупен број ученици на еднодневен есенски излет** | |

## ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
**Северозападна Македонија**
**Одделение:** III

**Место: Тетово**

**Воспитно-образовни цели :**

- непосредно запознавање со природните убавини на северозападна Македонија, природните езера, реките, планините, изворите и развојот на туризмот;
- запознавање со културно-историските знаменитости во северозападна Македонија;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на градот Тетово;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;

**Задачи:**

- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини;
- изучување и истражување на објекти од историско значење во северозападна Македонија;
- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на градот Тетово и неговата околина;
- социјализација и колективна заштита, меѓусебна почит и позитивен дух кај учениците.

**Содржина на активности:**

Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект, интервју со кустоси, историчари и др.) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

***ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:***

- Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 08:00 часот. Се патува кон Тетово.
- Пристигнување во Тетово во 09:00 часот следува одмор, појадок и освежување на учениците. Запознавање на учениците со богатото културно-историско наследство на градот Тетово. Организирана посета на Шарената џамија, куќата на Јовановци и музејот на град Тетово.
- Групата во 12:00 часот го продолжува патувањето кон село Лешок. Посета на манастирот „Св. Атанасиј" и запознавање со неговото верско,

историско и културно значење. Следи прошетка, забава и разгледување на месноста. Рекреација на учениците во манастирскиот парк. Во 14:00 часот следи организиран ручек (ланч пакет) на учениците.

- Поаѓање за Скопје во 16:00 часот во попладневните часови, попатен одмор по избор и пристигнување во училиштето во 17:30 часот.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето.
**Одговорен наставник:** Елизабета Темелковска- одделенски наставник.
**Носители на активностите:** учениците и одделенските наставници на III-те одделенија Маре Ѓиревска, Елизабета Темелковска и Сања Груева.
**Времетраење:** еднодневна екскурзија од 08:00 часот до 17:30 часот (23.05.2024 год.).
**Локации за посета и правци на патување:** посета на градот Тетово, Шарената џамија, куќата на Јовановци, музејот на град Тетово, село Лешок и манастирот „Св. Атанасиј".
Правци на патување: Скопје-Тетово- с. Лешок-Скопје.
**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

| Одделение | Број на ученици | Одделенски наставник/раководител | Број на ученици кои биле на еднодневна екскурзија |
|---|---|---|---|
| III а | 22 | Маре Ѓиревска | |
| III б | 23 | Елизабета Темелковска | |
| III в | 23 | Сања Груева | |
| **Вкупно ученици** | 68 | **Вкупен број ученици на еднодневна екскурзија** | |

## ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
## Источна Македонија

**Одделение:** VI
**Место: Дојран**

**Воспитно-образовни цели:**

- запознавање со културно-историските знаменитости во источна Македонија;
- непосредно запознавање со одликите и природните убавини на Дојранското Езеро и Струмичката Котлина;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на источна Македонија ;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците.

**Задачи:**

- изучување и истражување на објекти од културно и историско значење во источна Македонија;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини на Дојран и Струмица;
- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на нашата татковина;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Содржина на активности:**

Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект, интервју со кустоси, историчари и др.) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

***ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:***

- **Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07:30 часот. Се патува кон Штип и посета на историскиот музеј со восочни фигури во Штип. Посета на Струмица и археолошкиот локалитет Водочки манастир „Св. Леонтиј". Пристигнување во Дојран во попладневните часови, сместување во хотел и одмор. Вечера. Организирана забава и ноќевање.
- **Втор ден:** Појадок, прошетка покрај брегот на Дојранското Езеро и разгледување на непосредната околина. Ручек. Напуштање на хотелот. Заминување кон Гевгелија разгледување на градот Поаѓање за Скопје во попладневните часови со попатен одмор и посета на археолошкиот локалитет Стоби. Пристигнување пред училиштето во 18:00 часот.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето.
**Одговорен наставник:** Соња Златевска наставник по македонски јазик.
**Носители на активностите:** учениците и одделенските раководители на VI-те одделенија Соња Златевска, Билјана Велјановска и Даниела Кузманоска.
**Времетраење:** дводневна екскурзија (9-10.05.2024 год.).

**Локации за посета и правци на патување:** посета на археолошкиот локалитет Стоби, Струмица и археолошкиот локалитет Водочки манастир „Св. Леонтиј", Дојран и историскиот музеј –музеј на дејците на ВМРО од Штип. **Правци на патување:** Скопје-Струмица-Дојран-Гевгелија-Скопје.

**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

| Одделение | Број на ученици | Одделенски наставник/раководител | Број на ученици кои биле на дводневна екскурзија |
|---|---|---|---|
| VI а | 23 | Соња Златевска | |
| VI б | 21 | Билјана Велјановска | |
| VI в | 20 | Даниела Кузманоска | |
| **Вкупно ученици** | 64 | **Вкупен број ученици на дводневна екскурзија** | |

## ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
## Западна Македонија

**Одделение:** IX
**Место: Охрид**

**Воспитно-образовни цели:**

- запознавање со културно-историските знаменитости во западна Македонија;
- непосредно запознавање со одликите и природните убавини на западна Македонија;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на Крушево, Охрид и античкиот град Хераклеа Линкестис;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците.

**Задачи:**

- изучување и истражување на објекти од културно и историско значење во западна Македонија;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини на Охрид и Крушево;
- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на нашата татковина;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Содржина на активности:**

Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект, интервју со кустоси, историчари и др.) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

***ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:***

- **Прв ден:**
  Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07:30 часот. Се патува кон Крушево со попатен одмор во Гратско. Во Крушево се посетува споменикот „Македониум", споменикот „Мечкин Камен" и спомен куќата на Тодор Проески. Во Битола се посетува археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис. Се подолжува за Охрид, пристигнување и сместување во хотелот во попладневните часови. Ручек. Поладневен одмор и организирана прошетка. Вечера, организирана забава и ноќевање.
- **Втор ден:** Појадок и посета на манастирскиот комплекс „Св.Наум Охридски". Ручек, попладневен одмор. Посета на античкиот театар, Плаошник, Самоиловата тврдина, црквата „Св.Софија" и прошетка низ градот Охрид. Вечера, организирана забава и ноќевање.
- **Трет ден:** Појадок и напуштање на хотелот. Се патува кон Дебар, се посетува Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител" и манастирот „Св. Георгиј Победоносец"- Рајчица. Во попладневните часови тргнување за Скопје со попатен одмор во Маврови Анови. Пристигнување пред училишната зграда во 18:00 часот.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето.

**Одговорен наставник:** Маја Давидовска Бошевска- насавник по математика.

**Носители на активностите:** учениците и одделенските раководители на IX-те одделенија Маја Станковска и Маја Давидовска Бошевска.

**Времетраење:** тридневна екскурзија (17, 18 и 19.04.2024 год.).

**Локации за посета и правци на патување:** посета на Крушево, споменикот „Македониум", споменикот „Мечкин Камен" и спомен куќата на Тодор Проески, Битола и археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис, Охрид, манастирскиот комплекс „Св.Наум Охридски", антички театар, Плаошник, Самоиловата тврдина, црквата Св.Софија, Дебар, Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител" и манастирот „Св. Георгиј Победоносец- Рајчица. Правци на патување: Скопје-Крушево-Битола-Охрид-Дебар-Скопје.

**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на

зните, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од ите училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

| Одделение | Број на ученици | Одделенски наставник/раководител | Број на ученици кои биле на тридневна екскурзија |
|---|---|---|---|
| IX а | 24 | Маја Станковска | |
| IX б | 16 | Маја Давидовска Бошевска | |
| **Вкупно ученици** | 40 | **Вкупен број ученици на тридневна екскурзија** | |

## ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Одделение:** V
**Место: Охрид**

| Глобален план за содржините и активностите на наставата во природа | |
|---|---|
| **Македонски јазик** | • Јазик и комуникација<br>• Литература и творење<br>• Медиумска култура и медиумска писменост |
| **Математика** | • Броеви и броење<br>• Геометрија<br>• Операции со броеви<br>• Мерење<br>• Работа со податоци |
| **Историја и Општество** | • Поединецот и општеството<br>• Населението и континентите<br>• Праисторија и историја |

| | |
|---|---|
| ...ко<br>...зование | • Слушаме музика<br>• Пееме, свириме и играме |
| Ликовно образование | • Цртање<br>• Сликање<br>• Пластично обликување и градење<br>• Графика<br>• Дизајн и визуелни комуникации |
| Физичко и здравствено образование | • Атлетика<br>• Гимнастика со ритмика и танци<br>• Спортски игри |
| Природни науки | • Природно-географски карактеристики на континентите<br>• Животен циклус на цветните растенија<br>• Живите организми и животната средина<br>• Смеси<br>• Светлина и сенки |
| Техничко образование и Информатика | • Табеларни пресметки<br>• Онлајн безбедност<br>• Техничко цртање<br>• Технологија на работа со хартија и дрво<br>• Сообраќај |
| Културно-забавни активности | • Формирање на одделни ученички единици: литературна, музичка, фолклорна, ликовна и др.<br>• Изготвување План за работа на ученичките интересни групи и План-Програма за вечерни активности (по избор на учениците)<br>• Пеење на изучени песни<br>• Свирење на блок флејти<br>• Слушање (звуци и шумови) |
| Посети и излети | • Рибарски населби<br>• Посета на историски, културни знаменитости, музеи, спомен куќи и споменици<br>• Посета на блиската околина, населби и сл. |
| Детска организација | • Изготвување на куќен ред и правила<br>• Распоред за работа, одмор и рекреација<br>• Одржување на лична хигиена<br>• Договор за излети и посети<br>• Дежурства во текот на денот<br>• Уредување и подготвување на ѕиден весник<br>• Формирање на Еколошки патроли<br>• Забележување на народни приказни и легенди од околината<br>• Собирање лековити растенија<br>• Собирање примероци за хербариум и инсектариум |
| Наставни методи | • Говорна метода<br>• Текст метода<br>• Метод на пишување<br>• Метод на практична работа |

| | |
|---|---|
| ...тавни ...рми | • Фронтална<br>• Групна<br>• Парови<br>• Индивидуална |
| Методски облици | • Разговор<br>• Дискусија<br>• Анализа<br>• Синтеза |
| **Методски поединости** | • Воочување<br>• Идентификување<br>• Издвојување<br>• Подредување<br>• Мерење<br>• Опишување<br>• Толкување<br>• Објаснување<br>• Споредување<br>• Класификацирање<br>• Воопштување<br>• Заклучување |
| **Наставни средства** | • Компјутер,проектор<br>• географска карта на РСМ<br>• авто-карта на РСМ<br>• туристичка карта на РСМ<br>• компаси<br>• печатен материјал: енциклопедии, инструктивни текстови, проспекти, разгледници, слики<br>• фотоапарат, фотофилм, фотографии<br>• нема карта на РСМ<br>• работен прибор |
| **Следење и вреднување** | • Квантум на знаења<br>• Постапки на ученикот<br>• Начин на комуникација (вербална и невербална)<br>• Прецизност во усното изразување<br>• Стил и јазик во писменото изразување<br>• Однос кон работата<br>• Естетско обликување на трудот |
| **Методи на оценување** | • Усни и писмени одговори на прашања поставени од наставникот<br>• Одговори на есејски прашања<br>• Поставување прашања од соученици и/или одговарање на нив<br>• Читање-изразно/рецитирање<br>• Разговор со/меѓу учениците;<br>• Практични изведби<br>• Драматизирање по улоги<br>• Усни презентации |

- Есеи изработени вон часот
- Писмени извештаи
- Проектна работа
- Портфолио (досие со трудови на ученикот)
- Објективни тестови изготвени од наставникот
- Самооценување

***Распоред на часови***

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| | Англиски јазик | Техничко обрразование и информатика | Англиски јазик | Англиски јазик | Природни науки |
| 2 | Македонски јазик | Техничко обрразование и информатика | Физичко и здравствено образование | Ликовно образование | Природни науки |
| 3 | Математика | Македонски јазик | Математика | Македонски јазик | Македонски јазик |
| 4 | Историја и општество | Математика | Историја и општество | Математика | Математика |
| 5 | Музичко обрразование | Физичко и здравствено образование | Македонски јазик | Слободен изборен | Физичко и здравствено образование |
| 6 | Слободен изборен | | | | |

- Напомена: Наставните часови ќе бидат реализирани и прилагодени кон активностите и содржините предвидени со програмата за настава во природа. Одделенските наставници ќе изработуваат дневни подготовки за реализираните наставни содржини.

## Планирањв и организација на настава во природа

**Воспитно-образовни цели:**

- поттикнување на чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- стекнување знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, експериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- запознавање со природните убавини на околината;
- непосредно запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- истражување на настаните и појавите на животот покрај езеро;
- запознавање со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- развивање на мисловните и физичките способности кај учениците;

- едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.

**Задачи:**

- изучување и истражување на природната средина и законитостите што влијаат во Охридскиот регион;
- стекнување и развивање позитивен однос кон животинскиот свет во Охридското Езеро и неговата околина;
- оспособување на учениците за ориентација и движење во природа;
- стекнување и негување хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена на учениците и просторот;
- обезбедување на правилен психо-физички развој како резултат на позитивното влијание од спортските активности и престојот во здрава природна средина;
- другарство, почитување и позитивен натпреварувачки дух меѓу учениците.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите предвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридското Езеро, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од околината на Охрид) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**Содржина на активности:** Едукација, рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на екскурзијата:** Директорот на училиштето.

**Одговорен наставник:** Виолета Силјановска- одделенски наставник.

**Носители на активностите:** учениците и одделенските наставници на V-те одделенија Виолета Силјановска и Гордана Ѓорѓиевска

**Времетраење:** четири дена (16, 17, 18 и 19.04.2024 год.).

**Локации за посета и правци на патување:** посета на Велес и спомен куќата на Кочо Рацин, Прилеп и манастирор „Св. Архангел Михаил- Варош, Струга и с.Вевчани, Охрид поста на античкиот театар, Плаошник, црквата „Св.Климент" и „Св.Пантелејмон" и Билјанини извори, Тетово и Шарената џамија. Правци на патување: Скопје- Велес- Прилеп- Охрид- Струга- с.Вевчани- Охрид- Скопје.

**Техничка организација:** екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар, инструктор по физичко образование.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето

писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

***ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:***

***Прв ден:*** Поаѓање на групата пред училишната зграда во 07:30 часот. Се патува кон Велес се посетува спомен куќата на Кочо Рацин. Се продолжува кон Прилеп со попатен одмор во Градско. Во Прилеп се посетува манастирот „Св.Архангел Михаил"- Варош. Пристигнување во Охрид во пладневните часови и сместување. Ручек. Попладневен одмор. Прошетка и разгледување на непосредната околина. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава во согласност со возраста на учениците. Ноќевање.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и Општество, Информатика и техничко образование,Природни науки, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- спомен куќата на Кочо Рацин
- стручно предавање и разговор со кустос
- епрувети
- флип - хартија
- табла и креда
- инструктор по физичко образование
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Историја, Информатика, Етика и др.

***Втор ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Посета на селото Вевчани и Вевчанските извори и разговор со локалното население за начинот и условите на живот во рурална средина. Фотографирање на селото со цел да се запознаат со специфичностите на Вевчанската традиционална архитектура. Разгледување на градот Струга, посета на Спомен куќата на браќата Миладиновци, мостот на поезијата и прошетка по кејот на реката Дрим. Враќање во одмаралиштето. Пишување на извештај за реализираната посета. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе дојдат во текот на посетата на селото Вевчани и градот Струга. Ручек и попладневен одмор. Организирање на спортски натпревари. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и

знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Информатика и техничко образование, Природни науки,Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- с.Вевчани
- Спомен куќата на браќата Миладиновци
- стручно предавање и разговор со кустос
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- инструктор по физичко образование
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Историја, Информатика, Етика и др.

***Трет ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Прошетка низ охридската чаршија и запознавање со старите занаети, посета на Националната работилница за рачна изработка на хартија. Разговор и правење на интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Охрид и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на античкиот театар, Плаошник - црквата „Св.Климент" и „Св.Пантелејмон", Светиклиментовиот универзитет, стручно предавање и разговор со археолог. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за истражувањата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Информатика и техничко образование, Природни науки, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- Археолошки локалитет-Плаошник

- стручно предавање и разговор со археолог
- глина
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- инструктор по физичко образование
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Историја, Информатика, Етика и др.

**Четврт ден:** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на одмаралиштето. Посета на Билјанини извори, прошетка и разгледување на брегот на Охридското Езеро. Тргнување во пладневните часови преку Кичево со попатен одмор на Стража. Тргнување за Скопје и пристигнување пред училишната зграда до 18:00 часот.

**Дидактички средства и материјали:**

- учебник по Македонски јазик, Математика, Општество, Техничко образование, Природни науки, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- енциклопедија, речник
- аудио-визуелни средства – CD,LCD-проектор, цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- Билјанини извори
- стручно предавање и разговор со хидробиолог
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- спортски реквизити
- водич на наставата во природа

**Корелација со наставни предмети:**

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини, теми и поими од другите наставни предмети - Работа со компјутер, Историја, Информатика, Етика и др.

**Очекувани резултати :**

- зголемено чувство на самостојност и љубопитност кај учениците за истражување и доаѓање до нови знаења ;
- стекнување на знаења и нивна употреба во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, експериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- запознавање со природните убавини на нашата земја;
- запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- разбирање на настаните и појавите на животот покрај езеро;
- запознавање со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- развивање на интелектуалните и физичките способности кај учениците;

- активна едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.

| Одделение | Број на ученици | Одделенски наставник/раководител | Број на ученици кои биле на настава во природа |
|---|---|---|---|
| V а | 26 | Виолета Силјановска | |
| V б | 23 | Гордана Ѓорѓиевска | |
| **Вкупно ученици** | 49 | **Вкупен број на ученици на настава во природа** | |

Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии:
Светлана Петровска- директор
Лилјана Стефановска- наставник по граѓанско образование
Дејан Боневски- наставник по физичко и здравствено образование
Маја Давидовска Бошевска- наставник по математика
Виолета Силјановска- одделенски наставник

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Директор**

Министерство за образование и наука
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-10/53
22. 6. 2023 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

| Примено: 06.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 268/2 | | |

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Влезен број 0904
Рем 2023 год.

До
**Светлана Петровска, директор**
**ООУ „Наум Наумовски – Борче"**
**Општина Гази Баба, Скопје**

**Предмет: Стручно мислење за допис со наш арх.бр. 09-9/54/1 од 20.06.2023**
Врска: Допис бр. 09-268/2 од 16.06.2023 година

Почитувани,
Врз основа на Вашето барање за стручно мислење за Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Наум Наумовски – Борче", Општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година, Ве известуваме дека барањето беше внимателно разгледано, по што е изготвено стручно мислење.
Стручното мислење Ви го доставуваме во прилог.

Со почит,

**в.д. заменик директор**

**d-r Mirvan Xhemaili**

Прилог: Стручно мислење за Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Наум Наумовски – Борче", Општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година.

изготвил: д-р Игор Јуруков, раководител на одделение
одобрил: Аџше Аџрулаи, раководител на сектор

10153

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

**Прилог: Стручно мислење за Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Наум Наумовски – Борче", Општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година.**

Бирото за развој на образованието утврди, дека во дописот бр. 09-268/2 од 16.06.2023 година, се бара стручно мислење за Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Наум Наумовски – Борче", Општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година.

Мислењето е изготвено врз основа на Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта .

Согласно доставените податоци во Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Наум Наумовски – Борче", Општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година, може да се констатира дека Програмата е изготвена согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Утврдено е дека Програмата ги содржи сите потребни податоци за нејзина реализација, како што се: воспитно-образовните цели, задачите, содржините и активностите, назначените раководители, одговорни наставници, целната група ученици, времетраењето, локациите за посета, правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање.

Имајќи ги предвид наведените податоци, Бирото за развој на образованието дава позитивно мислење за Програмата за ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Наум Наумовски – Борче", Општина Гази Баба, Скопје за учебната 2023/24 година.

Со почит,

Д-р Игор Јуруков

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 20, Скопје
Rr. „Rugjer Boshkoviq" nr. 20, Shkup
St. „Rugjer Boshkovikj" nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ
Бр. 09-361/1
09.08 2023 год.
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 42 став 2 и член 127 од Законот за основно образование (Сл. весник на Р.С. Македонија бр. 161/2019 и член 36 од Статутот на ООУ,, Наум Наумовски Борче",Скопје. Советот на својата седница оджана нма ден 09.08.2023 година го донесе следново:

МИСЛЕЊЕ

за Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/24 година

На седницата на ден 09.08.2023 година присутните членови на Советот на родители при ООУ,,Наум Наумовски Борче" Скопје дадоа позитивно мислење за Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/24 година

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Претседател на Совет на родители

Наташа Стојмиров

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, м-р Елизабета Андова

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ", БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''НАУМ ОХРИДСКИ'', БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ ''Наум Охридски'' - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ", БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Основно општинско училиште
***“Наум Охридски”- с. Булачани, Скопје***

# *Програма за планирани екскурзии,излети и други вонучилишни активности во училиштето за учебната 2023/2024*

**Скопје**
**јуни, 2023**

**План и програма за планирани екскурзии,излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2023/2024**

Училиштето организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности кои всушност се воннаставни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците за одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели. Преку ваквите форми на воспитно-образовна работа на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, а учениците се запознаваат со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември | Дељадровце | I – IXодд. |
| Еднодневен пролетен излет | мај | Сарај | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | мај | Кавадарци | III одд. |
| Дводневна екскурзија | мај | Источна Македонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | септември/октомври | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | мај (по посебно изготвена програма) | Западна Македонија | V одд. |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

### *1.1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

**Место**: ***Манастирски комплекс Дељадровце, Скопје***

**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од I – IX одд.

**Воспитно - образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природата, културното наследство и екологијата,
- развивање на различните интереси на учениците
  - во контекст на забавно – рекреативни цели
  - во контекст на социјализациски цели,
  - развивање интерес и грижа за културното наследство, традицијата и обичаите (посета на Дељадровски манастир);
- примена на вештини и ставови во практични ситуации во природната и општествената средина,
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, собирање историски податоци за локалитетот, фотографирање.

**Раководител на излетот:** Елена Максимовска, наставник. ментор

**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација:** крај на септември- почеток на октомври

**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет: атар на Дељадровски манастир

Правци на патување: Булачани – Дељадровце- Булачани

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

### *1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

***Место: Сарај, Скопско***

**Носители на активностите*:***

- одделенските наставници
- учениците од I – IXодд.

**Воспитно-образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природните ресурси во опкружувањето;
- развивање на различните интереси на учениците (грижа за природата и практикување на еколошки навики, спортски активности и култура за здраво живеење).
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со капацитетите и односите во природната и општествената средина;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на излетот:** Елена Максимовска, наставник. ментор

**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација:**. мај

**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет – излетничко место Сарај.

Правци на патување: Булачани - Скопје - Сарај

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

### *1.3 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА*

**Место**: Кавадарци
**Време на реализација**: мај 2024 г.

**Раководител на екскурзијата:** Теодора Димовска - одделенски наставник

**Носители на активности:**
● одделенските раководители на паралелките од III одделение.
● ученици од III одд

**Воспитно образовни цели**

- Да стекнат знаења за историското минато,историските настани,процеси и личности
- Да го разберат значењето на старите градби и личности од минатото за нашата историја и култура
- Да го разберат функционирањето на стопански објект
- Да се потикнува развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита,
- Да се развива љубопитноста (да се поставуваат прашања и да се одговара на нив),
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен,
- Да се разберат настаните и појавите во природата( животот покрај река, езеро, во ридски предели) и градење на еколошки навики,
- Да се развиваат способности кај учениците (мисловни способности, разни мануелни способности),
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности.
- Почитување на културните традиции,
- Почитување на знаења и искуства на возрасните,

**Задачи:**

- Да се изучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествниот живот,
- Да се развива интерес за природата и градање на еколошки навики,
- Да се изгради чувство на патриотизам, толеранција и соживот,
- Да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Да се поттикнат и манифестираат позитивните емоции,
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе,
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Локации за посета и правци на патување**

- **Релација на движење:** Скопје - Стоби-Кавадарци – Неготино - Скопје.

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Техничка организација**: висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и лекар

**Финансирање**: Самофинансирање од страна на родителите

**План на патување**

- Состанок пред училиштето во 7.30 часот,
- Поаѓање во 8.00 часот.

-Патот води кон археолошкиот локалитет Стоби следи посета и разгледување на локалитетот.

-Потоа се пристигнува и разгледува градот Кавадарци и посета на Хидроцентралата Тиквеш.

-Следи посета на куќата на Страшо Пинџур и Винаријата Стоби.

-Подготовки за враќање и пристигнување во Скопје.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (писмени состави, описи, изработка на хамер или плакати)ќе се добијат повратна информации.

### *1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА –Источна Македонија*

Дводневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на мај. Патувањето започнува од Скопје - Куманово - Кокино - Кратово - Пробиштип – Штип – Радовиш – Струмица – Ново Село – Колешино – Дојран - Гевгелија – Демир Капија – Стоби - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на југоисточиот дел од Република Северна Македонија, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Негување на старите културни вредности, запознавање со историјата на овие простори (музеи, цркви, печатница и локалитетот Стоби),

- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**
- одделенските раководители
- учениците од VI одд.

**Следење на реализацијата:**
- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата..

**Раководител на екскурзијата:** - Златка Панчевска-одделенски раководител на VIa одделение

**Одговорни наставници:** Златка Панчевска и Александра Мирчевска - одделенски раководители на VIa и VIб одделение.

**Време на реализација:**
- мај

**Финансирање:**
- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:**
- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**
- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1. ден (сл.1)***




слика 1

Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Куманово, со попатна посета на мегалитска опсерваторија Кокино во атарот на општината Старо Нагоричане. Се продолжува кон Кратово, со попатна посета на селото Куклица и земјените пирамидални форми – камени кукли. Во Кратово учениците се запознаваат со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата, кратовските маала, сето тоа со разгледување низ градот. Се продолжива за Пробиштип и посета на Лесновскиот манастир. Потоа со панорамско разгледување низ Струмица и Ново село се продолжува за Колешино и посета на Колешинските водопади. Во вечерните часови се пристигнува во Дојран каде е планирано сместување во хотел, вечера и ноќевање. По желба на учениците може да се организира интерна забава.

- ***2. ден (сл.2)***

Појадок во 8 часот. По појадокот се планира посета на граничниот премин Стар Дојран и едночасовна прошетка покрај езерото. Потоа се заминува на ручек во хотелот, а од таму на враќање кон Скопје низ Демир Капија, попатно се посетува археолошкиот локалитет Стоби (или винаријата Попова кула крај Неготино, доколку локалитетот е затворен за посети во подоцните попладневни часови). Со панорамски разгледувања се продолжува за Скопје, а пристигнувањето пред училиштето е планирано во вечерните часови.



слика 2

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Југоисточна Македонија**

- учениците од VI а одд., одделенски раководител: Златка Панчевска
- учениците од VI б одд., одделенски раководител: Александра Мирчевска

### *1.5. ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Западна Македонија*

Тродневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на месец мај. Патувањето започнува од Булачани - Скопје – Велес – Прилеп – Крушево - Битола – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани - Кичево - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со културата и начинот на живење на луѓето во струшко – охридскиот регион.
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Запознавање со културата на други етнички заедници во Република Северна Македонија (турска, албанска), историски факти поврзани со нив;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и припадниците на други народи кои живеат на територијата на нашата држава;
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;

- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**.

- одделенските раководители
- учениците од IX одд

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Раководител на екскурзијата:** Александра Величковска- одделенски раководител на IXб одделение

**Одговорни наставници:** одделенските раководители IXа и IXб одделение: Александра Величковска и Виолета Ѓорѓиевска.

**Време на реализација*:***

- Септември/октомври

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден (сл.3)***

Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес, со попатен посета и пауза на локалитетот Стоби. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Следната дестинација е Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен-куќата на Тоше Проески. Се продолжува за Битола, каде е предвидена посета на

Хераклеа и Спомен - собата на Кемал Ататурк во Музејот на Битола. Потоа учениците имаат 1 час слободно време за прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден, хотел во околината на Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат и имаат организирана вечера, диско - забава и ноќевање.



слика 3

- ***2.ден (сл.4)***

Појадок, а потоа посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија со акцент на мултиетничкиот карактер на нејзиното битисување, потоа по течението на реката Дрим кон истекот од Охридското Езеро, посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера и организирана забава.



слика 4

- ***3. ден (сл. 5)***

Во 8 часот, појадок. Потоа следува претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.



слика 5

**Ученици - учесници во тродневна екскурзија низ Западна Македонија**

- учениците од IXа одд, одд. раководител: Александра Величковска
- учениците од IXб одд, одд. раководител: Виолета Ѓорѓиевска

## *2. Програма за настава во природа*

**Место: Охрид**
**Одделение:** V одделение

**Образовно – воспитни цели:**

- да се поттикне чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- да се стекнат знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, екпериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- да се запознаат со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- да ги разберат настаните и појавите на животот покрај езеро;
- да се запознаат со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- да се развиваат мисловните и физичките способности кај учениците;
- да се овозможи едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.
- запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини – релјефот (рид, ридче, планина, врв, подножје, страна, поле, рамнина, млади верижни планини, истечни и неистечни води), растителниот и животинскиот свет во овој дел на Западна Македонија; како и запознавање со поблиското и подалечното минато и други настани од историско значење;
- да стекнат и развиваат позативен однос кон зачувување на животната средина;
- да се стекнат и негуваат хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена;
- да се обезбеди правилен психо-физички развој како резултат на позитивното влијание од престојот во здрава природна средина;
- да се развива другарство, меѓусебно почитување и позитивен натпреварувачки дух.
- Да формираат позитивни ставови за спомениците на културата и да стекнуваат навики за посета и правилен однос кон другите споменици;
- Да го развиваат патриотизмот, хуманоста, толеранцијата и да го почитуваат туѓиот труд;
- Ученикот да се оспособува македонскиот стандарден јазик да го користи за воспоставување културен комуникациски однос со опкружувањето

- Да ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Северна Македонија;
- Да стекнат основни сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- Да ја препознаваат и поврзуваат зависноста и поврзаноста на туризмот со минатото, културата и традицијата и да утврдуваат кои облици на туризам би можеле да се развиваат;
- Утврдување на знаењата за ориентација во просторот, ориентација во природата според природни објекти, главни и споредни страни на светот;
- Соработка со останатите делови од татковината и нивна сообраќајна поврзаност;
- Подготвуваат изложба од собраниот материјал;
- Знаат да употребуваат различни извори на знаења, примена на ИКТ во наставата
- Развиваат толеранција кон другите култури, религии и народности;
- Развиваат правилен однос кон тимската работа;
- Развиваат самостојност, трудољубивост, трпеливост, уредност, точност, одговорност, пријателство, толеранција, почитување на туѓиот труд, љубопитност, критичност;
- Развиваат одговорност кон исполнувањето на обврските кои ги прифатил и треба да ги исполни;
- Формираат навики за средување на работниот материјал, прибор, простор;
- Развивање на почит кон познатите и заслужните личности, љубов и негување на нашата богата музичка традиција, негување на нејзините модерни текови, развивање на хуманоста, навиката и желбата да се помогне на другите.

**ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:**

- Изучување на верски и историски објекти во овој крај;
- Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Р. С.Македонија;
- Развивање позитивен однос кон: историските, националните, културните и естетските вредности;

- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, толеранција и мултикултуризам;
- Запознавање со културата и начинот живот на луѓето во посетените краеви.

**Очекувани ефекти од наставата во природа се следните:**

- Да се поттикне дружењето кај учениците, негувањето и чувањето на природните и културните богатства, како и развивањето на еколошката култура и свест;
- Учениците да ги надградат и прошират своите знаења низ разните форми на учење преку набљудување на природата, водите, планините, животинскиот и растителниот свет;
- Рекреација и забава за учениците низ предвидените спортски, музички и забавни активности.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите предвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридското Езеро, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од Охрид и околината) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

**Носители на активностите:** учениците и одделенските наставници на V-те одделенија: Va – Снежа Ангеловска и Vб – Биљана Белогаска.

**Раководител на активностите во рамки на наставата во природа:**
Снежа Ангеловска
**Време на реализација и времетраење:** Мај, 4 ноќевања - пет дена.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување согласно нормативот за изведување на настава во природа(опремена училница, простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование, спортски терени), лекар.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**План на патувањето:**

***Прв ден:*** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Тетово,Гостивар,с.Вруток (попатно-панорамско набљудување и фотографирање на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од кај што извира реката Вардар-Вруток, Мавровo(разгледување и фотографирање на Мавровското Езеро), посета на манастирот „Св.Јован Бигорски" , манастирски комплекс кој се наоѓа на патот помеѓу Гостивар и Дебар во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика во Западна Македонија.Запознавање на учениците со историјата на манастирот.Се продолжува со патување кон градот Струга и попатно застанување во Вевчани ја набљудуваме околината и се поведува разговор за познати и непознати локации, објекти и природни убавини и други впечатливи моменти. Пристигнување во градот Охрид и сместување во хотел. Прошетка и разгледување на непосредната околина. Ручек. Попладневен одмор. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава во согласност со возраста на учениците. Ноќевање.

***Втор ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. **Посета на заливот на коските и Св.Наум** (разговор и групно фотографирање). Враќање во хотелот и попатна посета на **Билјанини извори**. Пишување на извештаи за истражувањата. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе се дојде во текот на овие посети.Ручек и попладневен одмор. Прошетка низ **чаршијата,црквата Света Софија,Амфитеатарот и спомен куќата на Робевци,** запознавање со старите занаети. Разговор и правење на интервју со занаетчиите.Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Трет ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на **Самоиловата тврдина, Плаошник Св.Канео**. Фотографирање на градот и запознавање со неговите културно-историски карактеристики.Враќање во хотелот. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за посетата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Вечера. Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена.Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Четврт ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посета на Струга.Посета на спомен куќата на браќата Миладиновци, паркот на поезијата Природно - научен музеј „Никола Незлобински“ манастирскиот комплекс „Калишта“. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Цртање според извршеното набљудување. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

***Петти ден:*** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на хотелот. Враќање преку Битола и посета гробот на Тоше Проески спомен куќата на Тоше Проески. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

## *НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА*

**Македонски јазик**

- 🕮 Изразување и творење: Патуваме и ја запознавме татковината- извори, реки, природни и вештачки езера во Западна Македонија
- 🕮 Историја и легенда за манастирот Св.Јован Бигорски
- 🕮 Говорна и писмена вежба со примена на ИКТ (истражуваме – учиме – пишуваме): Константин и Димитар Миладинов, Природно – научен музеј „Никола Незлобински“
- 🕮 Читање легенди за Охридското Езеро
- 🕮 Говорна и писмена вежба: „Животот и делото на Григор Прличев“
- 🕮 Изработуваме ѕиден весник

**Математика**

- ➢ Решавање занимливи задачи (собирање, одземање, множење и делење)
- ➢ Мерење – мерки за време и должина/повторување
- ➢ Мерење – мерки за време и должина/ текстуални задачи
- ➢ Работа со податоци (столбест, Венов дијаграм,пиктограм, табели и др.)

**Општество**

- 👍 Традициите во Западна Македонија (традиционални јадења, народни носии, поговорки, преданија, легенди и сл.)
- 👍 Демократскиот живот во Охрид - општина, градоначалник, месна заедница

**Музичко образование**

- Народно творештво-Народни песни : „На Струга дуќан да имам”,„Билјана платно белеше”  и др.
- Детско музичко творештво (народни песни и ора, народни инструменти и др.)

**Ликовно образование**

- Сликање на непсредната околина(темпера, гваш, молив, туш, лавиран туш -  Жива и нежива природа
- Ликовно изразување по доживување – Вевчански извори; – слободна техника
- Ликовно изразување по доживување-манастирскиот комплекс ,,Калишта,, слободна техника
- Цртање-Народна шара (фута)

**Физичко и здравствено образование**

- Натпревар во брзо трчање
- Прескокнување пречки со затрчување
- Спортски игри,игри без граници

**Техничко образование**

- Сообраќај — Патот од Скопје до Охрид

**Работа со компјутери**

- Истражување — пребарување по интернет— Животот и работата на луѓето во Западна  Македонија
- Презентации

**Час на одделенска заедница**

- ✓ Работилница : Картички за слободно време

Наставни подрачја, теми по предметите и активности: општество, македонски јазик, музичко образование, математика, ликовно образование, физичко и здравствено образование, работа со компјутери, час на одделенска заедница и техничко образование

| **Теми:** | **Наставна содржина** | **Активности** |
|---|---|---|
| Т3:Изразување и творење | Разговор по посета на манастирот Св.Јован Бигорски**,** манастирски комплекс | Вежби и активности за водење на разговор на тема: верски објекти, музеи, споменици |
| Т1.Читање литература и лектири | Читање легенди за Охридското Езеро | Користење дополнителна литература (книги, енциклопедии,зборници и др.) примена на ИКТ |
| Т3:Изразување и творење | Говорна и писмена вежба со примена на ИКТ (истражуваме – учиме – пишуваме): Константин и Димитар Миладинов, Природо – научен музеј Никола Незлобински | Истражување на интернет , вежба со примена на ИКТ |
| Т3:Изразување и творење | Говорна и писмена вежба: Струшки вечери на поезијата – Мостот на поезијата | Писмена вежба- пишување поезија |
| Т1: Нашата татковина Р. С. Македонија | Традициите во Западна Македонија | Набљудување и истражување природните убавини и богатства, изработка на албум и извештаи |
| Т1: Нашата татковина Р. С. Македонија | Демократскиот живот | Општина, градоначалник,месна заедница |
| Т3: Република Северна Македонија во светот | - Културното наследство на тлото на Република Северна Македонија | Посета на културни и верски објекти или на некое археолошко наоѓалиште |
| Т3: Република Северна Македонија во светот | Основни проблеми во светот и Македонија , екологија | Организирање изложба со ученички трудови на тема: Заштита на животната средина. |
| Т3:Изразување и творење | Македонија – мултикултурна ризница | Самостојно пишување за настан слушнат од друго лице,извештај |
| Т6:Народно музичко творештво | Фолклор, музички фолклор, | Усвојување на поимот фолклор преку проектна активност: – собирање на разни елементи од фолклорот. |

| Теми: | Наставна содржина | Активности |
|---|---|---|
| Т6:Народно музичко творештво | Фолклор, музички фолклор, народна песна | Усвојување на поимот народна песна преку проектна активност:<br>– собирање на разни видови народни песни од разни краишта. |
| Т1: Цртање | Народна шара (фута) | Фолклорни елементи каде што ќе применува ритам во ликовните творби( предмети од народен фолклор, носии, колани, престилки) |
| Т1: Цртање | Ликовно изразување по доживување – Вевчански извори;<br>– слободна техника<br>Ликовно изразување по доживување- манастирскиот комплекс ,,Калишта,, слободна техника | Цртање по набљудување и доживување |
| Т: Обликување во просторот, моделирање | Ликовни елементи во градење | Моделирање со глина на низок релјеф со втиснување, гребење и длабење; |
| Т2: Сликање | Ликовни елементи во сликањето – Жива и нежива природа | Сликање комбинација на мали и големи форми , со сликарска техника |
| Т4:Танци и ора | Играње со музика | Играње народни ора со различно темпо и сложеност во чекорите. |
| Т1А:Број и решавање проблеми | Решавање занимливи задачи<br>Мерење –мерки за време и должина/повторување<br>Мерење –мерки за време и должина/ текстуални задачи | Вежби-задачи со математичките операции (собирање,одземање,множење и делење), мерни единици за време и должина |
| Т 2Г:Работа со податоци и решавање проблеми | Собира, и организира релевантни податоци. | Собира, селектира и организира релевантни податоци (столбест дијаграм, Венов дијаграм, пиктограм, табели и др.) |
| Т1:Вежби и игри за правилен физички развој | Утринска гимнастика | Вежби за јакнење, лабавење и истегнување на трупот , карлицата и нозете |
| Т5: Основи на спортски игри | Спортски игри,игри без граници | Народна топка,игри без граници со качување, слегување, провлекување, скокања итн. |
| Т4.Атлетика | Натпревар во брзо трчање<br>Прескокнување пречки со затрчување | Совладување на техники брзо трчање,скокање,прескокнување пречки |
| Т.Сообраќај | Собраќајни знаци | Воочување и набљудување на сообраќајните знаци и прописи |

## *КУЌЕН РЕД – РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО*

1. Станување 08.00 часот
2. Утринска гимнастика 08.05 до 08.20
3. Лична хигиена и уредување на спалните 08.20 до 08.50
4. Подготовка за појадок 08.50 до 09.00
5. Појадок 09.00 до 09.30
6. Подготовка за предвидените посети 09.30 до 09.40
7. Во посета на предвидените места и културно историски споменици од 09.40 до 13.30
8. Подготовка за ручек 13.30 до 14.00
9. Ручек 14.00 до 15.00
10. Наставни активности по паралелки 15.00 до 16.40
11. Ужина 16.40 до 17.00
12. Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности 17.00 до 19.30
13. Подготовка за вечера 19.30 до 20.00
14. Вечера 19.00 до 19.30
15. Вечерни содржини 20.30 до 22.00
16. Подготовка за спиење 22.00 до 22.20
17. Повечерје - спиење

● **Напомена:** Во текот на патувањето и престој во хотел во Охрид учениците се осигурани и имаат постојана лекарска придружба.

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа содржи училница која е опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование на Република Македонија.

## ОБВРСКИ НА РАКОВОДИТЕЛОТ, НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ:

Раководител на настава во природа е директорот. Бидејќи директорот не е во можност секогаш да присуствува на излет, екскурзија, настава во природа, со решение назначува раководител од редот на наставниците. Присутни се и наставници кои предаваат во паралелките, одговорното лице од избраната туристичка агенција и медицинско лице кое ќе се грижи за здравјето на учениците..

Наставниците се грижат околу сместувањето на учениците во автобусите, редот, дисциплината и уредноста при посета на објектот и за безбедноста на учениците од поаѓањето, па се до враќањето.

Учениците од V одделение ќе бидат навреме писмено информирани околу реализација на настава во природа и цената на чинење по ученик.

Овие активности ќе се реализираат во соработка со Советот на родители(навреме да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични потреби). Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализација на

настава во природа (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 50% од родителите во одделение наставата во природа нема да се реализира.

За време на реализација на наставата во природа учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на наставата во природа и одделенските наставници, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети и објекти, да ги известат насатвниците за појава на здравствен или друг проблем и да се движат во група со одделенскиот наставник.

За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето за истите.

**ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗАЦИЈА**

- Планирана настава во природа во Годишната програма за работа на училиштето е усвоена на Наставнички совет и Совет на општината Гази Баба
- Запознавање на родителите со реализацијата на настава во природа
- На првата родителска средба родителите ќе бидат запознаени со програмата за изведување на настава во природа - Охрид - Западна Македонија, да бидат поделени анкетни листови на родителите за добивање на повратна информација за одзивот.
- На Советот на родители ќе биде формирана комисија од родителите на V одд. и двајца одделенски наставници.
- Одлука на училишен одбор
- Наставниците кои предаваат во V одд. имаат планирано во своите годишни програми часови кои ќе се реализираат во тој период - прилог на неделни планирања за V одд.

По добивање на согласност за реализација на настава во природа од БРО, Општината и Советот на родители, програмата ќе се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на туристичка агенција и реализација на настава во природа.

Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на известување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат.

Училиштето ќе ги достави следните Критериуми:

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Р. С. Македонија за вршење соодветна туристичка дејност
- Да има успешно реализирање настава во природа, екскурзии (излети) најмалку три години по ред
- Да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патишта и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- Да биде најприфатлива цена

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзии согласно правилникот за училишни екскурзии и други слободни активности.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови и тоа три члена од Советот на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализација на настава во природа. Во договорот се содржани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата
- Начинот на плаќање
- Водич, број на наставници (според бројот на ученици кои ја посетуваат наставата во природа, лекар)
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со седиште за секој ученик и навремено ја информира Општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, број на ученици и други лица согласно правилникот за организирање ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализиацијата на настава во природа доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИРАЊЕТО:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансискиот износ на настава во природа.

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за настава во природа преку уплаќање на уплатница со одредена сума (преку жиро сметка).

# *План за изведување на набљудувања и посети на знаменитости и установи*

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје
- Природно научен музеј
- Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на ВМРО
- Библиотека “Другарче”
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Градски кина
- Изложби
- Снежен град Маврово
- Црква Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции одинтерес за наставата

- пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица
- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум

- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и тие ученикот:

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:
  - лично обраќање кон други луѓе ;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар , куклена претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

**Напомена*: Екскурзиите кои се организираат за III,V, VI и IX одделение, односно еднодневната екскурзија до Кавадарци за III одделение, настава во природа за V одделение, дводневна екскурзија за VI одделение, како и тридневната екскурзија за IX одделениеинтереѓе бидат организирани во соработка со партнер училиштето ООУ„ ЊЕГОШ“ - Скопје, општина Гази Баба имплементирани во програмата за МИО и Концепцијата за воннастави активности**

***Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:***

Елизабета Андова – директор
Александра Величковска - одделенски раководител Ixб
Златка Панчевска - одделенски раководител на Via
Снежа Ангеловска – одделенски раководител на Va одделение
Биљана Белогаска– одделенски наставник на Vб

Директор

---

м-р Елизабета Андова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKË E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-1052
21. 6. 2023 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До

м-р Елизабета Андова,

Директор

ООУ "Наум Охридски" с. Булачани- Скопје

Предмет: Одговор на барање бр. 01-128/2 од 16.6.2023

Во прилог Ви доставуваме стручно мислење по однос на Вашата програма за изведување на планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности, во учебната 2023/2024 година.

Со почит,

Република Северна Македонија Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието Скопје Byroja e zhvillimit të arsimit MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS Republika e Maqedonisë së Veriut

В.Д. заменик директор

Dr. Mirvan Xhemaili

Изготвил/одобрил: Гордана Јанакиевска

Ј. Јанакиевска

10/52

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

# СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ

Во врска со Вашето барање за мислење за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности, во учебната 2023/2024 година, Бирото за развој на образованието констатираше дека:

Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности, во учебната 2023/2024 година е изготвена согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии за учениците од основните училишта. Во Програмата јасно се дефинирани воспитно- образовните цели, задачи, активности, раководител на екскурзијата, времетраење, локации за посета и правците на патување, техничка организација и начин на финансирање.

Според тоа, Бирото за развој на образованието дава позитивно мислење по однос на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности, во учебната 2023/2024 година од ООУ "Наум Охридски" с. Булачани- Скопје.

Изготвил: Гордана Јанакиевска

Ј. Јанакиевска

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година Советот на родители при ООУ "Наум Охридски" с. Булачани Скопје на својата редовна седница одржана на ден 07. 07. 2023 година дава:

**МИСЛЕЊЕ**

за Програмата за изведување на ученички екскурзии излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 09-10/16
07.07. 2023 год.
с.Булачани

**Член1**

По разгледување на Програмата за изведување на ученички екскурзии. излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 година изготвена од страна на стручниот тим, Советот на родители дава **позитивно мислење** за Програмата за изведување на ученички екскурзии излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 година.

**Член2**

Мислењето за Програмата за изведување на ученички екскурзии. излети и други вонучилишни активности се дава за учебната 2023/2024 година.

Претседател на Совет на родители

Анета Атанасовска

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, Анета Цветкова

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ЊЕГОШ" - ЈУРУМЛЕРИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование (''Службен весник на РСМ'' бр.161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ''ЊЕГОШ'' - ЈУРУМЛЕРИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ "ЊЕГОШ" - ЈУРУМЛЕРИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 42 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2023/2024 година, за добивање на мислење од советот на општината, во согласност со член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.

Член 42 од Законот за основното образование гласи:

"(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото."

Член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта гласи:

"(1) За секоја програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, кој ја изработува стручлниот тим, **одделено мислење дава советот на родители на училиштето и Советот на општината, по претходно позитивно стручно мислење на Бирото за развој на образованието**.Мислењата за екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности се доставуваат до училиштето најмалку 30 дена пред нивното изведување."

Мислењата на советот на родители и Бирото за развој на образованието, претходно обезбедени од училиштето се прилог кон материјалот.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Основно општинско училиште
***“Његош”- Јурумлери, Скопје***

# *Програма за планирани екскурзии,излети и други вонучилишни активности во училиштето за учебната 2023/2024*

**Скопје**
**јуни, 2023**

**План и програма за планирани екскурзии,излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2023/2024**

Училиштето организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности кои всушност се воннаставни активности што се изведуваат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците за одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели. Преку ваквите форми на воспитно-образовна работа на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, а учениците се запознаваат со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември | Дељадровце | I – IXодд. |
| Еднодневен пролетен излет | мај | Сарај | I – IXодд. |
| Еднодневна екскурзија | мај | Кавадарци | III одд. |
| Дводневна екскурзија | мај | Источна Македонија | VI одд. |
| Тродневна екскурзија | септември-октомври | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | мај (по посебно изготвена програма) | Западна Македонија | V одд. |

### *1.1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

**Место**: ***Манастирски комплекс Дељадровце, Скопје***

**Носители на активностите:**

- одделенски и предметни наставници
- учениците од I – IX одд.

**Воспитно - образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природата, културното наследство и екологијата,
- развивање на различните интереси на учениците
  - во контекст на забавно – рекреативни цели
  - во контекст на социјализациски цели,
  - развивање интерес и грижа за културното наследство, традицијата и обичаите (посета на Дељадровски манастир);
- примена на вештини и ставови во практични ситуации во природната и општествената средина,
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, собирање историски податоци за локалитетот, фотографирање.

**Раководител на излетот:** Маја Јовевска, одделенски наставник.

**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација:** септември

**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет: атар на Дељадровски манастир

Правци на патување: Јурумлери – Дељадровце- Јурумлери

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

### *1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ*

***Место: Сарај, Скопско***

**Носители на активностите*:***

- одделенските наставници
- учениците од I – IXодд.

**Воспитно-образовни цели:**

- усвојување и проширување на знаења за природните ресурси во опкружувањето;
- развивање на различните интереси на учениците (грижа за природата и практикување на еколошки навики, спортски активности и култура за здраво живеење).
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со капацитетите и односите во природната и општествената средина;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро взаемно запознавање;

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

**Раководител на излетот:** Виолета Симоновска, одделенски наставник

**Носители на активностите:** учениците од I – IX одделение, одделенските наставници и класните раководители.

**Времетраење**: еден ден (тргнување во 08.00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови, најдоцна до 16 часот, пред училишната зграда)

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на излетот.

**Време на реализација:** мај

**Локалитети за посета и правци на патување :** Локалитет – излетничко место Сарај.

Правци на патување: Јурумлери - Скопје - Сарај

**Техничка организација:** Безбедни патнички автобуси.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.

## *1.3 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА*

**Место**: Кавадарци
**Време на реализација**: мај 2024 г.

**Раководител на екскурзијата:** Убавка Наумовска - одделенски наставник

**Носители на активности:**
● одделенските раководители на паралелките од III одделение.
● ученици од III одд

**Воспитно образовни цели**

- Да стекнат знаења за историското минато,историските настани,процеси и личности
- Да го разберат значењето на старите градби и личности од минатото за нашата историја и култура
- Да го разберат функционирањето на стопански објект
- Да се потикнува развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита,
- Да се развива љубопитноста (да се поставуваат прашања и да се одговара на нив),
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен,
- Да се разберат настаните и појавите во природата( животот покрај река, езеро, во ридски предели) и градење на еколошки навики,
- Да се развиваат способности кај учениците (мисловни способности, разни мануелни способности),
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности.
- Почитување на културните традиции,
- Почитување на знаења и искуства на возрасните,

**Задачи:**

- Да се изучат и истражат објектите и појавите во природата како и односите во општествниот живот,
- Да се развива интерес за природата и градање на еколошки навики,
- Да се изгради чувство на патриотизам, толеранција и соживот,
- Да се развива позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Да се поттикнат и манифестираат позитивните емоции,
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе,
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Локации за посета и правци на патување**

- **Релација на движење:** Скопје - Стоби-Кавадарци – Неготино - Скопје.

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Техничка организација**: висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и лекар

**Финансирање**: Самофинансирање од страна на родителите

**План на патување**

- Состанок пред училиштето во 7.30 часот,
- Поаѓање во 8.00 часот.

-Патот води кон археолошкиот локалитет Стоби следи посета и разгледување на локалитетот.

-Потоа се пристигнува и разгледува градот Кавадарци и посета на Хидроцентралата Тиквеш.

-Следи посета на куќата на Страшо Пинџур и Винаријата Стоби.

-Подготовки за враќање и пристигнување во Скопје.

**Начин на вреднување и користење на резултатите**

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (писмени состави, описи, изработка на хамер или плакати)ќе се добијат повратна информации.

### *1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА –Источна Македонија*

Дводневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на мај. Патувањето започнува од Скопје - Куманово - Кокино - Кратово - Пробиштип – Штип – Радовиш – Струмица – Ново Село – Колешино – Дојран - Гевгелија – Демир Капија – Стоби - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на југоисточиот дел од Република Северна Македонија, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Негување на старите културни вредности, запознавање со историјата на овие простори (музеи, цркви, печатница и локалитетот Стоби),
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од VI одд.

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата..

**Раководител на екскурзијата:** - Данијела Величковска -одделенски раководител на VIб одделение

**Одговорни наставници:** Весна Митровска Дошева и Данијела Величковска - одделенски раководители на VIа и VIб одделение.

**Време на реализација:**

- мај

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1. ден (сл.1)***




слика 1

Поаѓање на групата од пред училиште во 07.30 часот Се патува преку Куманово, со попатна посета на мегалитска опсерваторија Кокино во атарот на општината Старо Нагоричане. Се продолжува кон Кратово, со попатна посета на селото Куклица и земјените пирамидални форми – камени кукли. Во Кратово учениците се запознаваат со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата, кратовските маала, сето тоа со разгледување низ градот. Се продолжива за Пробиштип и посета на Лесновскиот манастир. Потоа со панорамско разгледување низ Струмица и Ново село се

продолжува за Колешино и посета на Колешинските водопади. Во вечерните часови се пристигнува во Дојран каде е планирано сместување во хотел, вечера и ноќевање. По желба на учениците може да се организира интерна забава.

- ***2. ден (сл.2)***

Појадок во 8 часот. По појадокот се планира посета на граничниот премин Стар Дојран и едночасовна прошетка покрај езерото. Потоа се заминува на ручек во хотелот, а од таму на враќање кон Скопје низ Демир Капија, попатно се посетува археолошкиот локалитет Стоби (или винаријата Попова кула крај Неготино, доколку локалитетот е затворен за посети во подоцните попладневни часови). Со панорамски разгледувања се продолжува за Скопје, а пристигнувањето пред училиштето е планирано во вечерните часови.



слика 2

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Југоисточна Македонија**

- учениците од VI а одд., одделенски раководител: Весна Митровска Дошева
- учениците од VI б одд., одделенски раководител: Данијела Величковска

### *1.5. ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Западна Македонија*

Тродневната екскурзија ќе се изведе во првата половина на месец мај. Патувањето започнува од Булачани - Скопје – Велес – Прилеп – Крушево - Битола – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани - Кичево - Скопје.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Запознавање со културата и начинот на живење на луѓето во струшко – охридскиот регион.
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.
- Запознавање со културата на други етнички заедници во Република Северна Македонија (турска, албанска), историски факти поврзани со нив;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и припадниците на други народи кои живеат на територијата на нашата држава;
- Развивање позитивен однос кон животната средина, чувство за одговорност и свесна дисциплина во врска со тоа;
- Дружење,социјализација, колективна заштита, стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Носители на активностите:**.

- одделенските раководители
- учениците од IX одд

**Следење на реализацијата:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција со задолжително почитување на условите потпишани при тоа;
- извештај за сите аспекти на реализацијата поднесува раководителот на екскурзијата.

**Раководител на екскурзијата:** Елена Јовановска Миливојевиќ - одделенски раководител на IXб одделение

**Одговорни наставници:** одделенските раководители IXа и IXб одделение: Весна Рабан и Елена Јовановска Миливојевиќ.

**Време на реализација*:***

- септември –почеток на октомври

**Финансирање:**

- Трошоците на патувањето ги покриваат родителите.

**Техничка организација:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**Начин на вреднување и користење на резултатите:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**План на патувањето:**

- ***1.ден (сл.3)***

Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес, со попатен посета и пауза на локалитетот Стоби. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Следната дестинација е Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен-куќата на Тоше Проески. Се продолжува за Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и Спомен - собата на Кемал Ататурк во Музејот на Битола. Потоа учениците имаат 1 час слободно време за прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден, хотел во околината на Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат и имаат организирана вечера, диско - забава и ноќевање.



слика 3

- ***2.ден (сл.4)***

Појадок, а потоа посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија со акцент на мултиетничкиот карактер на нејзиното битисување, потоа по течението на реката Дрим кон истекот од Охридското Езеро, посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера и организирана забава.



слика 4

- ***3. ден (сл. 5)***

Во 8 часот, појадок. Потоа следува претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.



слика 5

**Ученици - учесници во  тродневна екскурзија низ Западна Македонија**

- учениците од IXа одд, одд. раководител: Весна Рабан,
- учениците од IXб одд, одд. раководител Елена Јовановска Миливојевиќ.

.

## *2. Програма за настава во природа*

**Место: Охрид**
**Одделение:** V одделение

**Образовно – воспитни цели:**

- да се поттикне чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- да се стекнат знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, екпериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- да се запознаат со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- да ги разберат настаните и појавите на животот покрај езеро;
- да се запознаат со стопанството и културното наследство на Охридското Езеро;
- да се развиваат мисловните и физичките способности кај учениците;
- да се овозможи едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.
- запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини – релјефот (рид, ридче, планина, врв, подножје, страна, поле, рамнина, млади верижни планини, истечни и неистечни води), растителниот и животинскиот свет во овој дел на Западна Македонија; како и запознавање со поблиското и подалечното минато и други настани од историско значење;
- да стекнат и развиваат позативен однос кон зачувување на животната средина;
Главните и меѓумесни линии на разводот на ТТ врските се изведуваат со оловни каблови во канали.

Член 16

Надземни инсталации и објекти

а) Зеленило

На ниво на опфатот се јавуваат неколку врсти на зеленило.

а. Зелени површини во состав на сообраќајниот профил
б. Организирани зелени површини
в. Зелени површини во состав на колективни згради
г. Зелени површини во состав на индивидуални станбени згра
д. Заштитно зеленило околу булеварот "Едвар Кардељ" по ди на од околу 40 м.

Во зоната на зеленниот појас се засадува: тревна површина, дрворед (липа,платан,див орев и сл.).

На пропишано растојание се ставаат баштински хидранти.

б) Во просторот се дефинирани организирани езелни површини. Најголема површина е паркот во склоп на реонскиот центар и во склоп на планираните детски игралишта. За истите е неопходно да се изготват проекти.

в) Организирани зелени површини пред јавните функции (трговија,услужни дејности,дом на културата,поликлиника и сл.), се изработува со секој микро локалитет. Обработени се воглавно со тревни површини и со мал дел на ниско и високо зеленило.

г) Зелените површини во состав на парцелата на индивидуалните површини треба да бидат уредени во склоп на станбените простори. Дворот према улица треба да е хортикултурно уреден со високо и ниско зеленило посебно е важно да има заштитно зеленило зеленило спрема артеријалните и колекторските собраќајници. Задниот дел од дворот може да се уреди према потребите на корисниците.

д) Заштитното зеленило околу сообраќајницата бул. "Едвард Кардељ" околу 40 м организирано е со високо и ниско зеленило како зона за заштита од бука,воздух и сл.

Член 17

Локалитетот "М.А.Чento" е делумно опфатен со месната заедница "Мадари II". Со деталното урбанистичко решение основната намена на овој опфат е становањето и тоа како:

- индивидуално становање
- колективно становање.

Член 18

Основна цел на планот е што е можно повеќе да се усклади, односно задржи постојниот градежен фонд. Така сите објекти кои се градени со скелетна градба и тврд материјал се задржани или за нив се предвидува доградба или надградба. Односно на ниво на локалитетот се среќаваме со:

- индивидуално становање во постојни индивидуални станбени згради;

- индивидуално становање во ново планирани за градба,доградба или надградба на индивидуални згради;

- во големите катастарски парцели предвидени се нови објекти и нови парцели;

- новопредвидените колективни станбени згради во приземје се предвидуваат и услужни дејности во приземје.

Член 19

При реализација на доградбите, надградбите како и за новоградбите се прават комплетни проекти за целиот објект како целина, а не само за доградба или надградба.

Член 20

Во дел од новопредвидените колективни станбени згради как содржина во приземјето се предвидуваат содржини за услужни дејности - трговија, угостителство, сервисни услуги и др.

УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ УСЛОВИ

Во ова поглавје ќе бидат дадени урбанистичко-архитектонски те услови кои се однесуваат за сите или група објекти.

Индивидуални станбени објекти се предвидени да се градат с

- висина П+1;
- спратна висина 1,6 - 3,2 м;
- местоположба на објектот к големика;
- објектите се покриваат со коси кровови;
- обработка на фасади (фугована тула, прскана фасада, или бел вештачки камен и сл.);
- во архитектурата на објектот да се уфрлат елементи на национална архитектура;
- во обработка на габаритот на објектот да се реши проблемот на гаражирање и подрумски дел, како и партерното уредување на дворишниот простор (оградување на парцела, уредување на влезен дел од дворно место-посебно);
- за сите објекти кои се изградени од квалитетен материјал (масивна или скелетна градба) предвидена е интервенција во зависност од нивната местоположба.

1. Објекти кои имаат мали габарити и со катност П предвидено е доградба и надградба.
2. За објекти кои имаат адекватен габарит и се со спратност П предвидена е само надградба.
3. За објекти што веќе имаат максимална пропишана катност а мал габарит предвидена е само доградба.

- Сите објекти од неквалитетен материјал (супстандард) да се срушат и да се заменат со нови на начин кој е предвиден со решението.

согласност на заинтересираните соседи може да се спојат.

Во случај на спојување на објектот се дозволува оформување на низ за максимум 3 ламели.

. Пренамена на дел од објектот

Пренамена на дел од објектот од станбен во деловен може да се врши доколку бидат исполнети следните услови:

- ако постојат урбанистичко архитектонски услови за ваква пренамена во поглед на обезбедување сообраќајна поврзаност, паркиралишта, обликување на објектот, комунална инфраструктура, не се нарушува стабилноста на објектот и др.

. Доградба и надградба на објектот

Доградба на индивидуални станбени објекти, двокуќи и објекти во низ може да се врши ако за тоа постојат просторни можности и урбанистичко архитектонски услови според Одредбите.

. За колективните станбени згради

- На ниво на локалитетот се среќаваме со 10 објекти на колективно становање како новопланирани и постојни 15.

- Новопланираните колективни објекти предвидени се како:

1. Станбени објекти

Означувањето на габаритите во графичките прилози е со маркица која ја дефинира и местоположбата и типот на објектот но не ја дефинира формата и габаритот кои мора да се проверат со проект.

- Функционалното решение на становите е во склад со техничките прописи и барања на современо и хумано живеење.

- На партерното уредување околу колективните згради е посветено посебно внимание.

- Зелените и слободни површини да се опремат со елементи на урбана опрема.

- За изградбата станбени згради се пропишани посебни
урбанистички услови од кои најважните се:

1. Височина на објектите П + 3

2. Спратната висина 2,8 - 3,2 м

3. Котата на приземјето не биде падена со нивелацио-
ното решение за станбен објект.

4. Објектите се покриват со коси кровови.

5. Да се употреби стандардна обработка на фасада со
употреба на трајни елементи.

6. Во рамките на границите на парцелата која му при-
паѓа на објектот да се решава: паркинг ,
простор, простор за игра на предшколски деца, прос-
тор за тресење, простор за оддлагање на отпадоци -
контејнери, уредување на влезни простори пред зг-
рада со тревнати површини, предвидување на влез-
ната партија, рампи за инвалиди и др.

7. Содржината на објектите: број на станови, број на
жители, јавни функции, склоништа, подрумски остави.

Член 21

При проектирање на објектите треба да се води сметка за

- рационалност,
- функционалност,
- да се задоволат сите хумано-социјални и естетски усло
- станбен стандард со основниот урбанистички план брут
20 м2/жител, и нето станбена површина од 16 м2.

Член 22

Јавни површини

Член 23

Образование

Основно образование за деца од 7 - 14 години постојно
училиште со 1,97 ха и 3600 м2, и новопредвидено 0,89 ха
и 1500 м2 со 180 ученика.

Член 24

Социјални грижи

За очекуваниот број на деца на возраст од 0 - 6 години
ке треба да се изгради уште две детски установи, и тоа

- Се рушат сите објекти ако се во зафатот на локации од општ интерес за потребите на населбата.

- Постојниот објект и доградбата или надградбата мора да преставуваат една архитектонска целина.

- Проектот на објектите треба да е изработен према зададените урбанистичко технички услови и да ги задоволи функционалните, конструктивните и естетски барања.

- Индивидуалните објекти се усогласени во рамките на катастарските парцели.

ОДРЕДБИ ЗА ПРИМЕНА НА ПЛАНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ДОГРАДБА И НАДГРАДБА ЗА ИНДИВИДУАЛНИ МОНТАЖНИ ОБЈЕКТИ ЗА НАСЕЛБАТА "М.А.Ченто" - М.З. "КРСТЕ МИСИРКОВ" - СКОПЈЕ СПОРЕД ПЛАНОТ УСВОЕН 11.1984 ГОДИНА

Одредбите за примена на планот за доградба и надградба за населбата "Методи Андонов Ченто" - М.З. "Крсте Мисирков" кои се однесуваат на монтажните објекти ги утврдуваат основните принципи, услови и техничко планерски норми кои обезбедуваат примена и спроведување на урбанистичкиот концепт за надградување и доградување на постојните приземни објекти.

Овие одредби ке се применуваат при утврдувањето на урбанистичко-архитектонски услови на локациите и изработка на техничка документација за реализација.

Одредбите преставуваат составен дел на Измените и дополните на планот за реализација на населбата "М.А.Ченто" - М.З. "Крсте Мисирков" - Скопје.

Со Одредбите се регулираат особено: хоризонталните димензии на надградените делови на објектот, вертикалните димензии на објектите, висинските односи према теренот, положбата на вертикална комуникација и насоки за изготвување на техничката документација:

1. Максималната големина на хоризонталните димензии на надградбите и доградбите е утврдена со регулатива односно со градежна линија која претставува максимална граница до која може да се движат габаритите на доградбите и надградбите.

2.

а. градежната линија према улицата е непроменлива;

б. останатите граници на габаритите на објектите се максимални и отстапување од нив може да биде во рамките на тие граници односно може да биде само помали.

Оваа регулатива обезбедува минимални можни услови за основна егзистенција на населбата во поглед на инсолација, проветрување и други услови.

2. Максималната релативна кота на приземјето од заштитниот тротоар на објектот да изнесува 1,2 м. Отстапување од оваа висина може да се дозволи во следните случаи:

а. ако објектот се изведува во потег или на улица со веќе изведени објекти со поголема или помала висина на котата на приземјето;

б. ако објектот е дел од двокуќа каде едната половина е веќе изведена.

3. За изведените приземни објекти чија кота на приземјето во однос на заштитниот тротоар е повеќе од 1,2 м., односно до 1,5 м надградба ќе се дозволи како подкровје чија висина ќе се усогласи со висината на објектите од приземје и кат.

Овој третман овозможува да се добие складна архитектонско-урбанистичка целина.

4. Изведените објекти чија кота на приземје од заштитниот тротоар е поголема од 1,5 м се сметаат како оформени објекти и за нив со урбанистичко решение не се предвидува надградба.

5. Максималната релативна кота на приземје за објектите лоцирани на терен во пад се смета од заштитниот тротоар на најниската точка на објектот. Останатите одредби од точка 2,3 и 4 важат и овде.

6. На објектите на кои се предвидува надградба како и на постојните оформени објекти од приземје и кат не се дозволува подкровје.

7. Крововите да бидат коси со минимален нагиб пропишан со техничките нормативи во зависност од видот на покривниот материјал.

8. За новопредвидените индивидуални станбени згради можно е габаритно отстапување во зависност од архитектонско-урбанистичките услови што ги овозможува локацијата.

Критериумот за висинските одредби е ист како за постојните објекти.

9. Заради успешна реализација на надградбите потребно е за секој објект да се изготви издржана комплетна техничка документација - Главен проект изработен во склад со законските прописи за проектирање кои утврдуваат услови за обезбедување на пропишаните технички нормативи (за заштита од пожар, термичка и звучна изолација и др.).

Изготвената документација треба да биде заверена од овластена проектанска организација.

Архитектонско обликување треба да произлезе од намената и функцијата на објектот при што треба да се настојува постигнување на таков архитектонски израз, кои ке ги нагласува амбиенталните вредности, ке комуницира со околните објекти ќе тежи кон постигнување на современиот архитектонски израз.

10. Составен дел на објектот е дворната површина која треба да се третира како живеалишен простор. Во дворното место не се дозволува изградба на помошни простории, шупи, гаражи и сл. Постојните времени помошни објекти со реализација на надградбите треба да се расчистат. Помошните простории треба да се сметаат во подрумските делови на новиот објект. По исклучок може да се изгради, гаража во дворните места, каде е тоа со планот предвидено, односно тоа го дозволува степенот на изграденоста на градежната парцела. Кај објектите, во тесните дворни места, со неповолни меѓусебни одстојанија помали од 6,00 м, по правило не треба да се проектираат отвори на станбенитепростории како и влезови во објектот, освен отвори за санитарни простории, степеништа, остави и сл. со минимални димензии.

11. Положбата на вертикалната комуникација во начело се утврдува во рамките на утврдени хоризонтални димензии.

По исклучок во случаевите каде за тоа има просторни можности, вертикалната комуникација може да се лоцира и надвор од утврдениот габарит.

12. Приземните станбени објекти со повеќе од два стана во нив, објекти со четири стана под еден кров, како и објектите на кои е вршена доградба со типски проекти, ке се одобрува надградба под услов да се изготви типски проект за целиот објект, потег или населба, со тоа да проектот овозможи етапна реализација на секоја станбена единица.

13. Останатите услови кои треба да бидат составен дел на решението за локација како: хидротехнички услови, електротехнички услови; имотно-правни односи, еколошки услови и др. ке се дефинираат од органот кој ке ја води постапката во склад со постојните законски прописи и постојни услови.

ОДРЕДБИ СПОРЕД ОДЛУКАТА (ОД 7 јуни 1993 год. Сл.гл. бр.9) ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВЛИСКИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа Одлука се утврдуваат поблиски услови за градба начинот и постапката за нивната примена за објекти предвидени со деталните урбанистички планови на подрачјето на град Скопје.

. Поблиски услови и начин на градба

Максимални димензии на габаритот на објектот и услови за растојание.

За индивидуални станбени објекти максимална димензија на габаритот на објектите се определува ако за тоа постојат просторни можности и урбанистичко архитектонски услови.

- максималната бруто површина на габаритот во основа може да изнесува до 200 м, независно од големината на парцелата;

- минималното растојание помеѓу најистакнатите делови на габаритите на два соседни објекти да изнесува најмалку 6 м, независно од височината на станбените објекти во кој случај се дозволува и изведба на прозорци на станбените простории;

- минималното растојание меѓу најистакнатите делови на габаритите на два соседни објекта да изнесува најмалку 3 м при што се дозволува изведба само на прозорците на помошни простории, кујна, санитарии, ходник и скалиштен простор, со минимален парапет 160 см.;

- минимално растојание на најистакнатиот дел на габаритот на објектот до оградата (граничната линија со соседот) да изнесува најмалку 1 м а доколку постои писмена меѓусебна

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА -РЕКАПИТУЛАР НА ПОВРШИНИ | | | |
|---|---|---|---|
| ОПФАТ | основна класа на намена | површина за градење | процент на изграденост |
| 590 m² | А1-домувањево куќи | 160 m² | 27,13% |

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот ДУП:

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА КП 1147, КО СИНГЕЛИЌ-1, СПОРЕД ИЗВОД ОД ДУП ЗА КРСТЕ МИСИРКОВ (ОДЛУКА БР.08-1803 ОД 12.08.1996 ГОД.) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| катастарска парцела | површина на градежна парцела | основна класа на намена | површина за градење | бруто развиена површина | висина на хоризонтален венец | катност | процент на изграденост | коефициент на искористеност |
| 1147 | 590 m² | А1-домување во куќи | 160 m² | 320 m² | 6,4 m | П+1 | 27,13% | 0,54 |

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА КП 1147, КО СИНГЕЛИЌ-1, СПОРЕД ИЗВОД ОД ДУП СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| катастарска парцела | површина на опфат | градежна парцел а | површина на градежна парцела | основна класа на намена | површина за градење | бруто развиена површина | висина на хоризонтален венец | катност | процент на изграденост | коефициент на искористеност |
| 1147 | 590 m² | 1.1 | 352 m² | А1-домување во куќи | 99 m² | 198 m² | 6,4 m | П+1 | 28,11% | 0,56 |
| | | 1.2 | 238 m² | А1-домување во куќи | 61 m² | 122 m² | 6,4 m | П+1 | 25,66% | 0,51 |
| | | ВКУПНО: | 590 m² | | 160 m² | 320 m² | | | 27,13% | 0,54 |

Нумерички показатели за градежната парцела и објектите во проектниот опфат

*Градежна парцела 1.1*

Намена: А1 Домување во куќи
Површина на градежна парцела: 352 м²
Површина за градење: 99 м²
Вкупна изградена површина: 198 м²
Процент на изграденост: 28,11%
Коефициент на искористеност: 0,56
Висина на венец: 6.4 м
Број на катови: П+1
Зеленило во ГП: 158 м² (44,81%)
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребен број на паркинг места се утврдува согласно општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат .

*Градежна парцела 1.2*

Намена: А1 Домување во куќи
Површина на градежна парцела: 238м²
Површина за градење: 61 м²
Вкупна изградена површина: 122 м²
Процент на изграденост: 25,66 %
Коефициент на искористеност: 0,51
Висина на венец: 6.4 м
Број на катови: П+1
Зеленило во ГП: 118 м² (49.63%)
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Обезбедени се две паркинг места во рамки на градежната парцела. Потребен број на паркинг места се утврдува согласно општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат.

Од предложеното проектно решение а врз основа на направените анализи произлегуваат следните нумерички показатели, во рамките на предметниот проектен опфат:

Намена: А1 Домување во куќи - (Индивидуално становање - номенклатура согласно законската регулатива која важела во време на донесувањето на планот)
Површина на проектен опфат: 590 м²
Вкупна површина на градежни парцели: 590 м²
Вкупна површина под градба:160 м²
Вкупна бруто површина за градба: 320м²
Процент на изграденост: 27,13 %
Коефициент на искористеност: 0,54
Катност: П+1
Макс. висина на објект: 6.4 м

Зеленило во ГП: 276 м²

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

| катастарска парцела | површина на опфат | градежна парцела | површина на градежна парцела | основна класа на намена | површина за градење | поединечна застапеност во однос на вкупната површина на ГП | површина под градба | бруто развиена површина | висина на хоризонтален венец | катност | процент на изграденост | коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1147 | 590 m² | 1.1 | 352 m² | А1-домување во куќи | 99 m² | 28,11% | 99 m² | 198 m² | 6,4 m | П+1 | 28,11% | 0,56 |
| | | | | сообраќај | 95 m² | 27,03% | | | | | | |
| | | | | зеленило | 158 m² | 44,81% | | | | | | |
| | | 1.2 | 238 m² | А1-домување во куќи | 61 m² | 25,66% | 61 m² | 122 m² | 6,4 m | П+1 | 25,66% | 0,51 |
| | | | | сообраќај | 59 m² | 24,67% | | | | | | |
| | | | | зеленило | 118 m² | 49,63% | | | | | | |
| | | | ВКУПНО: | | 590 m² | | 160 m² | 320 m² | | | 27,13% | 0,54 |

5. Мерки за заштита

Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22);

Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16,
/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);

Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21); Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);

Уредбата за класификација на водите („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) се вон сила, а се применува единствено Уредбата за класификација на површинските води („Службен весник на Република Македонија“ број 99/16, 246/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 276/19 и 256/21);

Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) е вон сила, а се применува Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 216/21);

Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/20);

Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21);

Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15,98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19 и 178/21);

Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22);

Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20);

Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19).

5.5 Мерки за заштита на животна средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08 и 83/09). Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект. Со овој Урбанистички проект заштитата се однесува на:

- заштита на воздухот;
- заштита на водата;
- заштита на почвата;
- заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад.
- заштита од бука

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина. Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности

(општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и
одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина). Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно
природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.
Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, која што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која  што може да произлезе штета за имотот која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина. За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата
- озеленување на површината со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура
- при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето
- загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. (Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина.

За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови

за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник. Можностите за загадување на почвата и на водата се елиминирани со прифќање на фекалните и атмосферските води и поставувањето на сепаратор за собирање на нечистотиите и маснотиите од водите контаминирани со масла и горива (технолошки води).

Мерки за заштита на водите

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти

во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надрележ за вршење на работите од областа на животната средина.

2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оптетуваат објектите и постројките.

3. Изведувањето на активностите треба да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

4. Да се спроведат сите неопходно технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.
5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

6. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третмат на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредба за категоризација на водотеци, езера, акумулации и подземни води и Уредба за класификација на водите.

Заштита на почвата
Со проектите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди. Можностите за загадување на почвата и на водата се елиминирани со прифќање на фекалните и атмосферските води и поставувањето на сепаратор за собирање на нечистотиите и маснотиите од водите контаминирани со масла и горива (технолошки води).

Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад
Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија. Мерки за намалување или спречување на штетни влијанија во редовни услови и во случајни инциденти. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија, со што ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

5.6 Мерки за за заштита и спасување
Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Лицата вработени во објектот мора да бидат стручно оспособени за ракување со средства за заштита од пожар и за сите мерки кои треба да се превземаат за да се спречи опасноста од појава на пожар и почетно гасење на пожари со средствата кои се на располагање во рамките на комплексот. Исто така мораат да бидат запознаени со карактеристиките на ТНГ и ТГ и можните опасности од настанување и појава на експлозии, како и неопходните превентивни мерки кои мора да се превземаат во текот на работењето, а особено:

-Секојдневно редовно и постојано да се врши преглед на исправноста на постројката, опремата и системот за сигнализирање и алармирање, опремата за почетно гасење пожари и исправност на стабилната хидрантска инсталација.

-Да се внимава вработените секогаш да се снабдени со работна и заштитна облека и опрема, а кои немаат склоност кон собирање и задржување на статички електрицитет. Упатството, покрај останатото, треба да содржи разработена организација и постапка за спречување и брзо ликвидирање на пожарот, за евакуација на луѓето, и спречување на можност од експлозија.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, со што се овозможува лесна подготовка и ставање во функција на потребната опрема за борба против пожар и спасување на луѓето. Рабниците на пристапниот пат мора да се изведат закосени заради лесен пристап на противпожарните возила до објектот.

Согласно Законот за одбрана (Сл.весник на Р.М. бр. 42/01, бр. 05/03 и бр. 58/06 и 110/08), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, бр.49/04 и бр. 86/08) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

-Сообраќајна инфраструктура со нивелманско решение и со проектни елементи на сообраќајната мрежа;
-Заштитни појаси помеѓу одделни класи на наменска употреба на земјиштето;
-Елементи на партерот, како потпорни зидови, огради, ормарчиња за електро, односно телекомуникациски инсталации, насади и други партерни елементи, како бариери за движење и интервенција на ПП-возилата;
-Надворешна и внатрешните хидрантска мрежа;
-Водење на другата инфраструктурна мрежа.
Предвидената сообраќајна инфраструктура, како и самото решение на градежната парцела, обележана со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на улиците е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила. Другите елементи за

противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект. За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари. Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градот Скопје.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари. Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

-изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;

-оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;

-широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Заштита и спасување од урнатини
Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со количина на градежен материјал и релативно помали тежини. Објектите треба да бидат изградени согласно техничките нормативи за сеизмичка градба. Секоја градба во зависност од

намената, мора да ги исполни основните барања за градбата и другите услови пропишани со закон и со изводот од план.

Мерки за заштита од природни непогоди
Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од 6-7 степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Мерки за заштита и спасување од поплави
Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување. Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

Мерки за заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето
Со оглед на конфигурацијата на теренот, можно е настанување на свлекување на земјиштето, поради што при изработка на Основниот проект потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Мерки за заштита од воени разурнувања, природни и техничкио-технолошки катастрофи
Урбанистички проект со план за парцелација, со класа намена А1.1- Куќи со двор и А1.2- Семејни куќи со споен sид на меѓа(двокуќи). Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар. Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од VIII-IX степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

## 5.7 Мерки за заштита на природното наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл.в. на РМ, бр.39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на Урбанистичкиот проект или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

## 5.8 Мерки за заштита на културно - историско наследство

Согласно добиеното писмо до Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство во границите на опфатот нема заштитени добра, ниу добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

# ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ

1. Полномошно од нарачателот

2.Имотен лист Бр.1834 КО Сингелиќ-1

3.Извод од ДУП за Крсте Мисирков (Одлука бр.08-1803 од 12.08.1996год.) за КП 1147 КО Сингелиќ 1, Општина Гази Баба –Скопје.

4.Геодетски елаборат за нумерички податоци Бр. 0811/ 63, 23.11.2022 година.

8.Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога Бр.0807/31, 28.10.2022 година.

9. Податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни услуги

10.Мислења од институции обезбедени во “ПИМ” ПОСТАПКИ

# ПОЛНОМОШНО

Јас Ерол Таир со место на живеење ул. "ФУШТАНСКА" бр. 51А , Скопје–Гази Баба го ополномоштувам ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, со седиште на ул. Скупи 5а бр. 24 Скопје, преку назначени лица со соодветно Решение, а во Наше име:

- да ја прибави целокупната потребна документација за изработка на урбанистички проект,
- да изработи урбанистички проект за КП 1147 КО Сингелиќ 1
- да поднесува барања и документи во постапки поврзани со одобрување на урбанистичкиот проект до сите надлежни институции и правни субјекти и
- да користи дигитален персонален сертификат (електронски потпис) во мое име.

Скопје

Дата: _____

потпис

_____

Јас, НОТАР Дарко Стојоски
за подрачјата на Основните Судови на Град Скопје

Потврдувам дека
Ерол Таир, ул. Фуштанска бр. 51А, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша пиемнето.
Иден-титетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: А2640037 Издадена од МВР Скопје
Потписот - законаков на пиемнето е втиснат.
Согласно чл. 66 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на пиемнето ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.
Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на пиемерокот кој останува за архивирање.
Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 673/2023

Во Скопје 13.01.2023

НОТАР

Дарко Стојоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за територијата на основните судови на Град Скопје
НОТАР ДАРКО СТОЈОСКИ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-225264/2022 30.11.2022 09:00:53

Издадено на: 30.11.2022 во 09:00:53

1105-225264/2022

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 1834 ИЗВОД
## Катастарска општина: СИНГЕЛИЌ-1

### ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Р.бр. | ЕМБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел од недвижноста | Правен основ на запишување | Број на доказ за основ на запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *** | ЕРУШ ТАРР | УЛ.ФУШТАНСКА бр.51А, СКОПЈЕ | 1/1 | Нотарски акт договор за продажба ОДУ.бр.243/16 од 17.03.2016 година нотар Сања Колакаровиќ | 1113-8296/2016 | 22.04.2016 09:11:04 |

### ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Број на катастарска парцела | | Влезно место/улица | Катастарска култура | | Катастарски клас | Површина во м2 | Сопственик / сосопственик и видот на сопственост | Право на користење на недвижноста од страна на трето лице | Службена забелешка | Број на доказ за основ на запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО/Број | Дел | | култура | | | | | | | | |
| 1147 | | ФУШТАНСКА | ПЗ | ива | | 465 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-11703/2022 | 23.11.2022 13:42:19 |
| 1147 | | ФУШТАНСКА | ПЗ | ива 1 | | 125 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1113-11703/2022 | 23.11.2022 13:42:19 |

### Легенда на внесени шифри и кратенки:

| Шифра | Опис |
|---|---|
| КО | Катастарска општина |
| ЗЗ | Земјиште под зграда |
| ПЗ | Земјоделско земјиште |

| Тип | Опис |
|---|---|
| Број | Број на катастарската парцела на која што се однесува податокот |

ГЕО СТОЛЕ ДОО М.П. Кисела

Овластено лице:
Стојадин Стратиев
име и презиме, потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
С К О П Ј Е
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
**Бр. 28-3/3290-2 од 13.09.2022 год.**

**ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ 726/2022**

**ДУП за Крсте Мисирков**
**Одлука бр: 08-1803 од 12.08.1996 год.**
**Намена на градба: индивидуално становање**
Ул. бр.
КО Сингелиќ 1 КП 1147
ДЛ 118 М 1: 1000

ИЗВОДОТ ЗА: **КП 1147 КО Сингелиќ 1**

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ
   - **Заверена копија од план во идентична форма**
2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
   - **Заверена копија од општи и посебни услови за градба**

изработил
**Снежана Зарева дипл.инж.арх.**

**Раководител на сектор,**
**Благица Блажевска, дипл.инж.арх.**


УЛИЦА ФУТОГАНСКА
1108
1110
1112
1114
1135
1137
1140
1141
1142
1146
1147
1149
1150
1151
1152
1155
1157
1159
1165
1170
1171
1172
1173
1174
1176
1190

*ДИПТУ ГЕО СТОЛЕ ДОО*
*Скопје ул. Њу Делхиска бр.4*

*Број: 0811/63*
*Датум: 23.11.2022 година*

# ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

## ЗА НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

## КО.СИНГЕЛИЌ - 1

Со заверката Агенцијата за катастар на недвижности тврди дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од ГКИС и дека за истите е платен надоместок согласно Законот, додека за квалитетот и точноста на податоците содржани во елаборатот одговара изготвувачот

Toni Stratiev
Digitally signed by Toni Stratiev
DN: cn=Toni Stratiev, ou=VAT - 4030007633433, o=diptu GEOSTOLE doo Skopje, c=MK
Date: 2022.11.25 12:56:44 +0100

**ДИПТУ ГЕО СТОЛЕ ДОО Скопје**

Заверил: М.П.

Стратиев Тони дипл.геод.инж

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Заверил: М.П.

Име, презиме и потпис на стручно лице од геодетска насока

ДИПТУ ГЕО СТОЛЕ ДОО СКОПЈЕ
Скопје Ул.Њу Делхиска Бр.4/2 лок.7

# СОДРЖИНА НА ГЕОДЕТСКИОТ ЕЛАБОРАТ

1. Технички извештај
2. Скица на извршено споредување
3. Список на координати
4. Список на индикации (стара-нова состојба)
5. Список на формирање на градежна парцела
6. Имотен лист
7. Доказ за платен надомест
8. Копие од катастарски план
9. Извод од детален урбанистички план
10. ЦД со податоци

ГЕО СТОЛЕ ДОО

Изготвил:

Стратиев Тони дипл.геод.инж

# ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

По барање на ***Ерол Таир од Скопје ул.Фуштанска бр.51а*** за изготвување геодетски елаборат за нумерички податоци според *извод од детален урбанистички план* ***Бр. 28-3/3290-2 од 13.09.2022 год. на општина Гази Баба*** извршено е картирање на урбанистичката парцела од горенаведениот извод на катастарската подлога во дигитална форма.

Од извршеното споредување на податоците од катастарскиот план и податоците од деталниот урбанистички план изработена е скица на споредување, список на индикации за катастарските парцели, список на формирање на градежната парцела и комплетни прилози како составен дел на овој елаборат.

Извршен е увид на самото место и констатирано е дека положбата исцртана на катастарскиот план одговара со положбата на лице место.

Целата катастарска парцела воедно претставува и градежна парцела.

Изработил:

Стратиев Тони дипл. геод.инж.

Бр.0811/63 од 23.11.2022 год.
Скопје

| 121 | | | | 485420 | 2 | | Надомест -обештетување на лица или правни субјекти за имот и ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 2.900.000,00 | | | | | | | |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Измената и дополната се состои во:

- На конто 4827 30 точка 1 „Ревитализација на водоводни системи (примарна и секундарна мрежа, резервоари, пумпни станици и слично)“ се додаваат средства од 800 000,00 денари и вкупно изнесуваат 4.800 000,00 денари. Овие средства се потребни за изведување на сите приклучоци на фекалната канализација на улиците во н.м. Хиподром 2 кои се предуслов за асфалтирање на чија изведба е финансирана од МТВ;

- На конто 4829 20 средствата предвидени за „Изградба на отворени спортски игралишта во ООУ Вера Јоциќ“ се зголемуваат на 10.100.000,00 денари;

- На конто 4829 20 средствата предвидени за точка „Изградба на фитнес зони и поставување на урбана опрема на територија на ОГБ“ се зголемуваат на 2.500.000,00 денари;

- На конто 4829 30 се додава нова ставка- точка 5 „Ревитализација на игралишта со тартан подлога “ со планирани средства од 2.500.000,00 денари;

Сите овие средства, вкупно 8.600.000, 00 се пренаменуваат од конто 4854 нематеријални трошоци - откуп на земјиште (експропријација и надомест) и вкупно за оваа ставка остануваат 7.900.000, 00 денари.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Ѓоко Велковски, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА**

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 5 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА**
**ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/22 и 12/23), во точка ''8) За култура и културни манифестации, во потточка ''15.Културно лето Гази Баба - настани во повеќе населени места на Општина Гази Баба во летниот период'', бројот ''300.000,00'' се заменува со бројот **''150.000,00''** и во потточка ''16. Настан по повод Денот на независноста на Република Македонија'', бројот ''200.000,00'' се заменува со бројот **''350.000,00''**.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за урбанизам и градежно земјиште

**Претставник:** Александар Јанакиески, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2685/2016 ЗА КП 1867 КО МАЏАРИ

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2685/2016 ЗА КП 1867 КО МАЏАРИ**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.28-2685/2016 од 31.03.2016 година од страна на лицето **Жарко Бејатовиќ** од Скопје, а се однесува на бесправниот објект зграда бр.1 со намена А1-1 семејна куќа, која се наоѓа на КП 1867 КО МАЏАРИ, ул. ''Благоја Стефковски'' бр.104, Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-2685/2016 ЗА КП 1867 КО МАЏАРИ**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21) и член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Надлежниот сектор за урбанизам и градежно земјиште до советот достави барање УП1 бр.28-2685/2016 од 16.08.2023 година, за донесување на одлука со која ке се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект. Барањето е прилог кон оваа Предлог-Одлука.

Член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, гласи:

''Во случај кога е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, или бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапката и по службена должност **доставува барање до советот на општината, односно советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје** заради донесување одлука дали во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши усогласување на намените, односно дали ќе се изврши проширување на планскиот опфат.''

Член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација, гласи:

''- намената на бесправниот објект не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, а со одлука на советот на општината односно Советот на општината во градот Скопје или Советот на Градот Скопје утврдено е да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените''

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**УП1Бр. 28-2685/2016 од 16.08.2023 год.**

**ДО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**С к о п ј е**

**ПРЕДМЕТ: Барање**

Почитувани,

До Општина Гази Баба е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење **УП1бр. 28-2685/2016 од 31.03.2016** година од страна **Жарко Бејатовиќ** од Скопје, со адреса на **ул. " Благоја Стефковски " бр. 106.** Од доставениот геодетски елаборат со деловоден број **09-645/1** од **27.09.2016** година, изработен од **ДЕЛА СИСТЕМИ ДОО,** Скопје утврдено е дека објектот е изграден на **КП 1867 КО Маџари.** Овој орган во постапката утврди дека намената на бесправниот објект не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација. Од увидот во Детален урбанистички план, констатирано е дека бесправниот објект зграда бр.1 со намена – **А1-1 семејна куќа** е изграден на земјиште со намена **Б2 – големи трговски единици.**

Поради овие причини, бараме Советот на Општина Гази Баба да постапи согласно член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Сл. весник на РСМ бр. 174/21), и согласно член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација („Сл.весник на РМ" бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) односно да донесе Одлука со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на важечката урбанистичко-планска документација.

Откако Советот на Општина Гази Баба ќе постапи по барањето, потребно е да ни доставите примерок од одлуката како би можеле да ја продолжиме постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект .

Со почит,

**Прилог:** - Предлог Одлука
- копија од Урбанистички план
- копија од Скица на извршено премерување од геодетски елаборат

Изготвил,
Ленче Гечева

Контолирал,
Сања Нешовска, дги
Дејан Митески

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бобан Стефковски**

Друштво за геодетски работи и услуги
ДЕЛА СИСТЕМИ ДОО Скопје

КО. Маџари

ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА СО УТВРДЕНА ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ И ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ

Размер 1:1000

Место и датум




КП 1867

КО Мауари

**С О В Е Т  НА  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Ѓоко Велковски, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЕ СЕ ОСТВАРУВА КАКО ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГА**

**СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 17 и член 18 а во врска со член 16 став (2) алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и "Службен весник на РСМ" бр.153/19, 261/19, 89/22 и 65/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на ден __.__.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЕ СЕ ОСТВАРУВА КАКО ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГА

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба започнува постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга (во натамошниот текст: договор за ЈПП).

Општина Гази Баба има потреба од модернизација на уличното осветлување, со цел да се унапреди услугата за јавно улично осветлување што Општина Гази Баба ја обезбедува за граѓаните, а при тоа би се остварила заштеда во однос на потрошувачката на електрична енергија и во однос на одржувањето на уличното осветлување.

Постоечкиот систем за јавно улично осветлување на Општина Гази Баба земајќи ги во предвид резултатите од финансиските анализи не ги исполнува основните барања наведени во меѓународните стандарди и општата пракса во јавното улично осветлување.

Начинот на кој е организирано постојното јавно осветлување е на такво ниво кое продуцира голема потрошувачка на електрична енергија, со чести дефекти на светилките поради што е укажана потреба од инвестирање во енергетски ефикасни светилки со што ќе се постигне подобар квалитет со помали трошоци.

Со оглед на тоа што Општина Гази Баба не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди постигнување на овие цели, се пристапува преку договор за ЈПП да се реализира капитална инвестиција на опрема и техника за јавно осветлување.

### Член 2

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

- најголема енергетска ефикасност со користење на високо ефикасни светилки и карактеристиките на автономно домување или слични функции;
- намалување на трошоците за одржување на нула на подолг период;
- поедноставување на системот за јавно улично осветлување;
- зголемување на нивото на осветленост со кои би се задоволиле дефинираните класи на сообраќајници; и
- компатибилност за осовременување на системот за јавно улично осветлување според идните барања за ,,паметен град”.

**Член 3**

Предмет на договорот за ЈПП е:

- финансирање на договорот за ЈПП од страна на приватниот партнер;
- превземање на обврската од страна на приватниот партнер за подмирување на сметките за потрошена електрична енергија за јавно осветлување на Општина Гази Баба;
- финансирање и реконструкцијата на јавно осветлување на Општина Гази Баба од страна на приватниот партнер (од сопствени средства или преку кредит) со користење на сопствени човечки ресурси и техничка компетентност за кое ќе добие дел од комуналната такса за јавно осветлување која и припаѓа на Општина Гази Баба; и
- висината на процентот од комуналната такса за јавно осветлување која и припаѓа на Општина Гази Баба а која ќе ја добие приватниот партнер ќе биде еден од критериумите при јавно наддавање (или тендерска постапка) со ограничување согласно слободните средства од оваа такса.

**Член 4**

Проценетата вредност на договорот за ЈПП изнесува (зависно од сценариото согласно физибилити студија за модернизација на јавното осветлување во Општина Гази Баба, бр.08-6155/1 од 07.08.2023 година.

**Член 5**

Договорот за ЈПП ќе се додели за временски период определен во зависност од сценариото согласно физибилити студија за модернизација на јавното осветлување во Општина Гази Баба, бр.08-6155/1 од 07.08.2023 година, сметајќи од денот на неговото склучување.

**Член 6**

Јавниот партнер со воспоставување на јавно приватно партнерство и склучување на Договор за ЈПП реконструкцијата на системот за улично осветлување и замената на светилките би чинеле 78,200,000,00 денари (согласно сценариото).

Дополнителни средства кои би биле потребни за обука на персонал и набавка на неопходните уреди и софтвер кои би биле потребни во случај Општината да го реализира проектот од сопствени средства како и годишните трошоци за мониторинг и следење на системот во овој случај приватниот партнер веќе ги поседува како ресурси.

Проценетата заштеда во електрична енергија изнесува 6.458.976,00 денари (согласно сценариото).

**Член 7**

Постапката за доделување на договорот за ЈПП ќе се спроведе како отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги согласно Законот за јавни набавки.

Постапката за доделување на договорот за ЈПП ќе се спроведе во рок од 180 дена од денот на вчегување во сичла на оваа одлука.

**Член 8**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 100 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата на средствата.

**Член 9**

Постапката за доделување на договорот за ЈПП од член 3 од оваа одлука, ќе ја спроведе комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за јавно осветлување (во натамошниот текст: комисија), формирана од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Комисијата ќе треба да подготви тендерска документација, нацрт-договор, оглас за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за јавно осветлување и истиот да го објави.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број _____**
**од __.__.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЕ СЕ ОСТВАРУВА КАКО ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука е член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 17 и член 18 а во врска со член 16 став (2) алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и "Службен весник на РСМ" бр.153/19, 261/19, 89/22 и 65/23).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Причините и оправданоста за донесување на Предлог-Одлуката се содржани во **физибилити студијата** за модернизација на јавното осветлување во Општина Гази Баба, бр.08-6155/1 од 07.08.2023 година.

Член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство гласи:

"Подготвителните работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ги спроведува концедентот или јавниот партнер.

Подготвителните работи вклучуваат особено:

- подготовка на извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот кои се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од овој закон,
- **изработка на физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,**
- процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство и
- други активности неопходни за спроведување на постапката."

Владата на Република Северна Македонија ја пропишува содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство."

Членовите 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство гласат:

**"Член 17**
**Започнување на постапка**

За започнување на постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, концедентот или **јавниот партнер донесува одлука за започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство**.

Одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува концедентот или **јавниот партнер врз основа на студијата од членот 16 став 2 алинеја 3** од овој закон.

Кога концедент или јавен партнер е Република Северна Македонија одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на министерот надлежен за областа во која се доделува јавно приватно партнерство или концесија.

Кога концедент или јавен партнер е општината, градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или **советот на општината во градот Скопје по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје**.

Кога јавен партнер е еден од субјектите од членот 4 точка 5 алинеи 3 и 4 од овој закон, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува органот на управување, а на истата согласност дава основачот.

**Член 18**
**Содржина на одлуката за започнување на постапка**

Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, особено содржи:

- образложение за оправданоста за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, вклучително и образложение за основот за идентификување на видот на договорот, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од овој закон,
- назначување на нејзините цели,
- предмет на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство и основните услови за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- во случај на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, видот на постапката од Законот за јавните набавки, имајќи го предвид членот 15 од овој закон,
- начинот и рокот во кој ќе биде спроведена постапката и
- висината на надоместокот за издавање на тендерската документација."

## ***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

7/14/2023

# Физибилити студија за модернизација на јавното осветлување во Општина Гази Баба

Општина Гази Баба

ЈУЛИ 2023

# Содржина

**Дел 1: Физибилити студија за модернизација на јавното осветлување во Општина Гази Баба**

**Извршно резиме**

**I. Општ дел**

- Правна основа за доделување на договор за ЈПП по ESCO модел
- Опис на ЈПП со ESCO модел
- Определување на предметот на Договорот за ЈПП по ESCO модел
- Цели и методологија на изработка на студијата
- Определување на доброто од општ интерес
- Управување со предметот на договорот за ЈПП со ESCO модел
- Идентификација на слабости и нивна елиминација и намалување
- Општествени, политички и други прашања поврзани со ESCO партнерство
- Прашања поврзани со надзорот и контролата на ESCO партнерство

**II. ТЕХНИЧКА АНАЛИЗА**

- Опис на постојниот систем на јавно осветлување
- Технички опис на на опремата и системот на јавно осветлување
- Економско-финансиски параметри на постојниот систем на ЈО
- Утврдување на потребата за воведување на енергетска ефикасност и утврдување на опфат на инвестиции во системот на јавно осветлување
- Утврдување на потребата за воведување на енергетска ефикасност и утврдување на опфат на инвестиции во системот на јавно осветлување
- Дефинирање на технички барања за модернизација и мерки за развој на системот на јавно осветлување
- Анализа на техничките карактеристики за избор на светилките
- Специфични индикатори, фактори и параметри (дефиниции)
- Развој на проектот – Техничка анализа
- Стандарди и критериуми за квалитет
- Минимален потребен квалитет и класи на осветленост
- Анализа за потребата за реконструкција на столбовите

**III. ФИНАНСИСКО – ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА**

- Предлог за времетраење (години) на Договорот за ЈПП/ESCO
- Предлог за распределба на комунална такса за јавно осветлување

**IV. ПРАВНА АНАЛИЗА**

- Анализа на законската рамка за реализација на ESCO моделот
- Уредување на сопственичко правните односи
- Надоместок по основ на договор за ЈПП по ЕСКО модел случај да не се постигне согласноста
- Одговорности при евентуалното неизвршување на обврските од Договорот за ЈПП со ESCO модел
- Видот и висината на гаранцијата за евентуално неизвршување на обврските од Договорот за ЈПП со ESCO модел
- Начинот и условите под кој ќе се врши пренесување на објектите, опремата и правото на јавна услуга
- Начинот на верификација на постигнати резултати

**V. Анализа и управување на проектните ризици**

- Општо за ризиците
- Анализа на ризиците поврзани со анализираниот проект
- Проценка на степен на ризик, реалокација и намалување на ризик
- Анализа на ризиците поврзани со анализираниот проект

Дел 2 – Прелиминарна оценка на влијание на проектот врз животната средина

**ПРИЛОЗИ**

## 1. Извршно резиме

Согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 6/12, 140/14, 33/15 и 104/15), член 16, став 2, за склучување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство потребно е прво да се изработи физибилити студија за оправданост на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство. Содржината на оваа Физибилити студија е пропишана согласно „Уредбата за содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/12).

Врз основа на податоците доставени од секторот за Комунални Работи, Инфраструктура, Сообраќај и Заштита на Животната Средина, одделението за Комунални Работи, Инфраструктура и Сообраќај на Општина Гази Баба се направи преглед на постојна состојба на јавното осветлување што е прикажано во следната табела.

| Населено место | Моќност во W | Количина | kWh |
|---|---|---|---|
| р 103 | 150 | 161 | 98,773.50 |
| Ченто | 150 | 6 | 3,681.00 |
| | 70 | 909 | 260,246.70 |
| Автокоманда | 70 | 363 | 103,926.90 |
| | 150 | 65 | 39,877.50 |
| Брњарци | 70 | 104 | 29,775.20 |
| Булачани | 70 | 175 | 50,102.50 |
| Виниче | 70 | 62 | 17,750.60 |
| | 150 | 2 | 1,227.00 |
| Гоце Делчев | 70 | 140 | 40,082.00 |
| | 150 | 9 | 5,521.50 |
| Дрма | 70 | 76 | 21,758.80 |
| | 150 | 11 | 6,748.50 |
| Економија | 70 | 47 | 13,456.10 |
| Ергеле | 70 | 15 | 4,294.50 |
| | 150 | 17 | 10,429.50 |
| Железара | 70 | 314 | 89,898.20 |
| | 150 | 39 | 23,926.50 |
| Идризово | 70 | 186 | 53,251.80 |
| | 150 | 32 | 19,632.00 |
| Инџиково | 70 | 441 | 126,258.30 |
| Јане Сандански | 70 | 234 | 66,994.20 |
| Јурумлери | 70 | 345 | 98,773.50 |
| | 150 | 11 | 6,748.50 |
| Камник | 70 | 62 | 17,750.60 |
| Кванташки | 70 | 40 | 11,452.00 |
| Керамидница | 70 | 253 | 72,433.90 |
| Кирил Петрушевски | 70 | 178 | 50,961.40 |
| Мацари | 150 | 7 | 4,294.50 |
| | 70 | 182 | 52,106.60 |
| Нова Колонија | 70 | 150 | 42,945.00 |
| Питу Гули | 70 | 155 | 44,376.50 |
| Попово маало | 70 | 53 | 15,173.90 |
| Раштак | 70 | 155 | 44,376.50 |
| Сингелиќ | 70 | 352 | 100,777.60 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Смилковци | 70 | 72 | 20,613.60 |
| | 150 | 7 | 4,294.50 |
| Стајковци | 70 | 435 | 124,540.50 |
| | 150 | 6 | 3,681.00 |
| Страчинци | 70 | 63 | 18,036.90 |
| Триангла | 70 | 247 | 70,716.10 |
| Трубарево | 70 | 378 | 108,221.40 |
| | 150 | 5 | 3,067.50 |
| Тумба Маџари | 70 | 15 | 4,294.50 |
| Ул. Архимедова | 70 | 20 | 5,726.00 |
| Хиподром | 70 | 233 | 66,707.90 |
| | 150 | 46 | 28,221.00 |
| Црешево | 70 | 197 | 56,401.10 |
| | 150 | 2 | 1,227.00 |
| Детско село | 70 | 33 | 9,447.90 |
| **Вкупно 70w** | **70** | **6684** | **1,913.629.20** |
| **Вкупно 150w** | **150** | **426** | **261,351.00** |
| **Рефлектори** | **400** | **440** | **594,880.00** |

**Табела 1:Сумарен преглед на постојна состојба**

Прегледот на сметки за потрошена електрична енергија по месеци за периодот 07.2021 до 08.2022 е дадена во следнава табела:

| Општина_____ГАЗИ БАБА_____ | |
|---|---|
| Сметки за струја | |
| Период | Сума |
| 01.07.2021 | 1,973,603.00 |
| 01-08-21 | 2,145,528.00 |
| 01-09-21 | 2,201,670.00 |
| 01-10-21 | 2,413,222.00 |
| 01-11-21 | 2,398,482.00 |
| 01-12-21 | 2,633,902.00 |
| 01-01-22 | 2,950,490.00 |
| 01-02-22 | 2,596,644.00 |
| 01-03-22 | 2,553,602.00 |
| 01-04-22 | 4,102,643.00 |
| 01-05-22 | 3,729,535.00 |
| 01-06-22 | 3,969,011.00 |
| 01-07-22 | 5,931,528.00 |
| 01-08-22 | 4,612,533.00 |

**Табела 2:Сметки за потрошена електрична енергија за период 01.07.2021 – 01.08.2022 на месечно ниво**

Земајќи го предвид фактот дека градските населби кои се дел од Општината Гази Баба веќе се заменети со штедливи LED светилики со централен систем за управување, предмет на оваа студија е замена на уличното осветление во приградските населби во рамките на Општина Гази Баба.

Списокот на населени места и број на столбови е даден во следнава табела:

| Општина -улица - населено место | Тип на осветлување (едностранo-двострано) | Вкупно столбови | Светилки | Тип на светилка - јачина (w) | Висина на столбови | Растојание помеѓу столбови/светилки | Ширина на улица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сингелиќ | едностранo | 100 | 100 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Ергеле | едностранo | 32 | 32 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Трубарево | едностранo | 376 | 376 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Гоце Делчев | едностранo | 145 | 145 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Јурумлери | едностранo | 349 | 349 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Колонија и Идризово | едностранo | 216 | 216 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Дрма | едностранo | 78 | 78 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Нова Колонија | едностранo | 148 | 148 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Брњарци | едностранo | 104 | 104 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Стајковци | едностранo | 441 | 441 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Страчинци | едностранo | 63 | 63 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Смилковци | едностранo | 79 | 79 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Црешево | едностранo | 198 | 198 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Виниче | едностранo | 60 | 60 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Булачани | едностранo | 175 | 175 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Раштак | едностранo | 155 | 155 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |

**Карактеристики на новиот предложен систем:**

- Вкупна инсталирана моќност на новиот систем: 112.200kW
- Вкупна потрошувачка на новиот систем: 313811 kWh/год. или 2,315,925.18 ден/год.
- Вкупни годишни трошоци на новиот систем: 1,537,500.00 ден/год.
- Проценета вредност на инвестицијата без ДДВ: 78,200,000.00 ден,
- Вкупна заштеда по извршена реконструкција - 6,458,976.00 ден/год

Времето на враќање на инвестицијата со отплата преку заштедата без камата изнесува 12,1 години.

**Во случај на реализација на проектот преку финансирање со кредит со 8% годишна каматна стапка, остварената заштеда не е доволна да го сервисира трошокот од кредитот.**

**Заклучоци за реконструкција на светилки**

**Реконструкција на системот за улично осветлување со сопствени средства со кредитирање, односно плаќање на 72 рати**

Овој модел претставува класична постапка за набавка на стоки и услуги (стандардна тендерска постапка според законот за ЈН). За условите за начинот на плаќање постојат две можности – начин на плаќање на 72 месечни рати кон Економскиот оператор (финансирањето го обезбедува Економскиот оператор) или обезбедување на кредит со рок на отплата од 72 месеци (финансирањето го обезбедува општината преку кредит од финансиска институција).

Имајќи ги предвид расположивите слободни средства од комуналната такса (во износ од 8,300,000 ден/год), и вкупната вредност на инвестицијата за реконструкција на светилките (78,200,000.00 ден), може да се изврши реконструкција на светилките за периодот на отплата од 60 месеци. Во оваа пресметка не е земен трошокот за каматата за финансирањето.

**Заклучоци од Економско-финансиска анализа за реализација со ЕСКО модел на договор**

Финансиската анализа која е дел на оваа студија опфаќа две засебни финансиски сценарија:

Реконструкција на системот за улично осветлување со сопствени средства на Општина Гази Баба

Оваа варијанта го опфаќа сценариото во кое Општина Гази Баба го реализира проектот за реконструкција на системот за улично осветлување со сопствени средства. Во овој случај замената на светилките би чинела MKD 78,200,000.00:

| Тип | Количина | Единечни буџетски цени | Вкупно |
|---|---|---|---|

| | | (МКД без ДДВ) | (МКД без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| **LED S 4375lm 740 RM7 IP66 I kl. DALI (33W)+NEMA** | 3400 | 15.200,00 | **€ 51,680,000.00** |
| **Lamp NEMA Controller** | 3400 | 6.000 | **€ 20,400,000.00** |
| **Gateway RTU** | 16 | 172.000 | **€ 2,752,000.00** |
| **Software(Smart Lighting Control System)** | 1 | 3.368.000 | **€ 3,368,000.00** |
| **Тотал** | | | **78,200,000.00 €** |

Дополнително, годишни трошоци за мониторинг и следење на системот би биле MKD 4,000,000.00

Паричните токови за вака поставен проект, со 30% сопствено учество и камата од 8% за претпоставена цена на електричната енергија од 120 €/MWh се дадени на следнава слика:




Паричните токови за проектот се дадени на следнава слика:

## Cash flow

### Annual




### Cumulative



Yearly cash flows

| Year<br># | Pre-tax<br>€ | Cumulative<br>€ |
|---|---|---|
| 0 | -365,034 | -365,034 |
| 1 | 81,227 | -283,807 |
| 2 | 86,124 | -197,684 |
| 3 | 91,118 | -106,566 |
| 4 | 96,212 | -10,354 |
| 5 | 101,408 | 91,055 |
| 6 | 106,709 | 197,763 |
| 7 | 112,115 | 309,878 |
| 8 | 281,226 | 591,104 |
| 9 | 286,850 | 877,954 |
| 10 | 292,587 | 1,170,542 |
| 11 | 298,439 | 1,468,981 |
| 12 | 304,408 | 1,773,389 |
| 13 | 310,496 | 2,083,885 |
| 14 | 316,706 | 2,400,591 |
| 15 | 323,040 | 2,723,631 |
| 16 | 329,501 | 3,053,132 |
| 17 | 336,091 | 3,389,223 |
| 18 | 342,813 | 3,732,036 |
| 19 | 349,669 | 4,081,705 |
| 20 | 356,662 | 4,438,367 |

Евидентно е дека самата заштеда не е доволна да го сервисира кредитот

Реконструкција на системот за улично осветлување преку ЈПП

Оваа варијанта го опфаќа сценариото во кое Општина Гази Баба го реализира проектот за реконструкција на системот за улично осветлување преку воспоставување на Јавно Приватно Партнерство. Во овој случај замената на светилките би чинела MKD 78,200,000.00:

| Тип | Количина | Единечни буџетски цени (МКД без ДДВ) | Вкупно (МКД без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| **LED S 4375lm 740 RM7 IP66 I kl. DALI (33W)+NEMA** | 3400 | 15.200,00 | **€ 51,680,000.00** |
| **Lamp NEMA Controller** | 3400 | 6.000 | **€ 20,400,000.00** |
| **Gateway RTU** | 16 | 172.000 | **€ 2,752,000.00** |
| **Тотал** | | | **74,832,000.00 €** |

Дополнителите средства кои би биле потребни за обука на персоналот и набавка на неопходните уреди и софтвер кои би биле потребни во случај да Општината го реализира проектот од сопствени средства како и годишните трошоци за мониторинг и следење на системот во овој случај Приватниот Партнер веќе ги поседува како ресурси и истите не се предмет на обработка.

Паричните токови за вака поставен проект, со 30% сопствено учество и камата од 8% за претпоставена цена на електричната енергија од 120 €/MWh се дадени на следнава слика:




Евидентно е дека економските показатели за оваа варијанта се далеку поповолни.

Токовите на парите за вака поставениот проект се дадени на следнава слика:

## Cash flow

### Annual




### Cumulative



Yearly cash flows

| Year<br># | Pre-tax<br>€ | Cumulative<br>€ |
|---|---|---|
| 0 | -365,034 | -365,034 |
| 1 | 81,227 | -283,807 |
| 2 | 86,124 | -197,684 |
| 3 | 91,118 | -106,566 |
| 4 | 96,212 | -10,354 |
| 5 | 101,408 | 91,055 |
| 6 | 106,709 | 197,763 |
| 7 | 112,115 | 309,878 |
| 8 | 281,226 | 591,104 |
| 9 | 286,850 | 877,954 |
| 10 | 292,587 | 1,170,542 |
| 11 | 298,439 | 1,468,981 |
| 12 | 304,408 | 1,773,389 |
| 13 | 310,496 | 2,083,885 |
| 14 | 316,706 | 2,400,591 |
| 15 | 323,040 | 2,723,631 |
| 16 | 329,501 | 3,053,132 |
| 17 | 336,091 | 3,389,223 |
| 18 | 342,813 | 3,732,036 |
| 19 | 349,669 | 4,081,705 |
| 20 | 356,662 | 4,438,367 |

Како дополнителни бенефити, Општината не би имала трошоци за годишно одржување, приватниот партнер во целост би ги покривал трошоците за потрошувачка на електрична енергија а Општината за возврат би се откажала од дел од комуналната такса за електрична енергија.

**Заклучоци од техничка анализа**

Во студијата е приложена детална техничко-технолошка анализа на расположивите технологии за сите составни делови на системот за улично осветлување која е дадена во продолжение.

- *ЛЕД светилки за новиот систем за улично осветлување*

Во најголем број на развиените земји поради високите перформански на LED технологијата и постигнувањето на заштедите на енергија како единствен избор за новите улични светилки се ЛЕД светилките.

На пазарот може да се сретнат ЛЕД светилки со различен квалитет кои исполнуваат различни стандарди, со различни параметри и животен век. Правилното поставување на барањата и стандардите кои треба да го задоволат новите ЛЕД светилки е еден од најголемите ризици за проектот. За таа цел во оваа студија се пренесени основните технички карактеристики, функционалности и стандарди кои треба да ги задоволат новите ЛЕД светилки.

Покрај електричните и светлинските карактеристики на светилките, важна карактеристика која светилките треба да ја задоволат е можноста за автоматско димирање. Оваа функционалност овозможува значителна дополнителна заштеда на електрична енергија односно поголема ефикасност на системот во целина за дополнителни до 20%. Од друга страна изборот на ваков тип на светилки не влијае

значително на зголемување на инвестицијата што ја прави оваа препорака финансиски оправдана.

Во продолжение е дадена пресметка на потрошувачката на електрична енергија за предложениот нов систем без димирање и кога истиот би бил опремен со светилки со можност за димирање:



Country Macedonia

City Skopje

Latitude: 42.0000061229 Longitude: 21.4334614651 Sunset today: 20:11
Sunrise tomorrow: 05:09



Dimming Please choose the preferred street lighting profile

Lighting profile economic




CUSTOMIZE SCHEDULE

| | |
|---|---|
| Energy consumption per year without inteliLIGHT® (kW) | 509,576 |
| Energy consumption per year with intelLIGHT® (kW) | 313,811 |

| Energy saved | Energy saved | Cost saving | CO2 saving | Trees saving |
|---|---|---|---|---|
| 38.42 | 195,765 | 23,492 | 166 | 3,524 |
| % | kilowatts | EUR | metric tons | planted trees equivalent |

Случај 2

Во продолжение е дадена пресметка на потрошувачката на електрична енергија за постоечкиот систем без димирање (постоечка ситуација) и кога истиот би бил опремен со светилки со можност за димирање:



Country Macedonia

City Skopje

Latitude: 42.0000061229 Longitude: 21.4334614651 Sunset today: 20:11
Sunrise tomorrow: 05:09






Од аспект на заштита на инвестицијата за едноставна надоградба на системот во целосно паметен систем (smart street ligh) со контрола на ниво на светилка, препорачливо е избор на светилки со вграден приклучок за паметен контролер (NEMA 7-пин или ZAGA) кои имаат можност за надградба во иднина, односно т.н. smart-ready светилки. Оваа функционалност не ја зголемува значително цената на инвестицијата, а го прави системот флексибилен за надградба во иднина со дополнителни паметни функционалности.

- *Препорачаните минимални технички карактеристики и стандарди на ЛЕД светилките се дадени во продолжение во студијата*

### 1.Цел на Студијата

Целта на оваа студија е да се идентификуваат мерки за енергетска ефикасност за мрежата на јавно осветлување во Општина Гази Баба

Со цел да се унапреди услугата за јавно осветлување што Општина Гази Баба ја обезбедува за граѓаните, а при тоа да се оствари заштеда во однос на потрошувачката на електрична енергија и во однос на одржувањето на уличното осветлување, општината има потреба од модернизација на уличното осветлување.

## 2. ТЕХНИЧКА АНАЛИЗА

### ПРОЕКТНА ЗАДАЧА НА СТУДИЈАТА

За правилно димензионирање на идниот систем за јавно улично осветлување потребно е да се дефинираат основните стандарди и постулати коишто се составен дел на проектната задача на оваа Студија. Неопходноста од примена на овој интернационално прифатен пристап може да се види од позитивните краткорочни и долгорочни ефекти за општината кошто се елаборирани во оваа студија.

Целите на Студијата мора да соодејствуваат и со барањата на општината: енергетска ефикасност и заштеда на електрична енергија, рационализација на трошоците за одржување, синхронизација со интернационалните стандарди за безбедност на сообраќајот, компатибилност со идните паметни системи и можност за дополнителни бенефити.

Студијата мора да даде конкретни заклучоци, препораки и насоки коишто општината треба да ги превземе за постигнување на дефинираните цели. Новиот систем на јавно улично осветлување треба да ги исполни следните очекувања:

- Да ја стандардизира опремата која се користи во системот на јавното улично осветлување според безбедносните и законските барања за одреден тип на улици,

- Да биде што е можно повеќе енергетски ефикасен,

- Да ги задоволи барањата за осветлување според интернационалните стандарди,

- Да го оптимизира бројот на различни типови на светилки со цел на порационално користење и одржување на системот во иднина,

- Да обезбеди целосна функционалност без трошоци за одржување или со минимални трошоци за одржување повеќе од 100.000 работни часа,

- Да го унапреди квалитетот на осветлување за сите учесници во сообраќајот итн.

## 1. ДЕФИНИЦИИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

Правилното разбирање на Студијата бара да се дефинираат поимите и терминологијата кои се користат во доменот на осветлувањето. Во оваа студија се користат следните поими и терминологија:

***Светлосен флукс и Реален светлосен флукс (lm)*** – Светлосниот флукс ја опишува количината на светлост што ја емитира секој извор на светлина. Со оглед на фактот дека на Светлосниот флукс, кој доаѓа директно од изворот на светлина, влијаат и други фактори како што се на пример оптичкиот елемент или обликот на телото на светилката, воведен е терминот Реален светлосен флукс којшто ги зема во предвид сите фактори кои го намалуваат Светлосниот флукс. За потребите на оваа Студија ќе се користи единствено Реалниот светлосен флукс. Флуксот се искажува во мерна единица лумен "lm".

***Осветленост или илуминанса (cd)*** – Осветленоста ја опишува количината на реалниот светлосен флукс којшто ја осветлува површината. Осветленоста се искажува во мерна единица кандели "cd".

***Ефикасноста на осветлување (lm/W)*** – Ефикасноста на осветлување е однос помеѓу реалниот светлосен флукс (lm) и потрошувачката на електрична енергија (W) на светлечкото тело. Ефикасноста се означува со "lm/W".

***Фактор на одржување (MF)*** – Во текот на животниот век на системот за јавно осветлување се појавуваат одредени фактори коишто го намалуваат реалниот светлосен флукс. Како најизразени фактори се сметаат опаѓање на светлосниот флукс на изворот на светлост и нечистотијата којашто се задржува на телото на светилката. Модерните ЛЕД светилки, со квалитетни компоненти, успешно се справуваат со опаѓањето на флуксот на изворот на светлост во период од повеќе од 100.000 работни часа. Што се однесува до нечистотијата, модерниот дизајн и новите материјали коишто се користат од страна на водечките производители за изработка на светилките за надворешна употреба, максимално го намалува овој проблем. Земајќи ги во предвид овие факти, за потребите на оваа Студија се зема фактор на одржување MF = 0,90.

***Боја на светлоста или температура на бојата на светлост (CCT)*** – Модерното ЛЕД улично осветлување е базирано на варијации на белата боја на светлината. Овој параметар ја опишува визуелната перцепција на белата светлоста од страна на човечкото око и се искажува во мерна единица келвин "K". Во следната табела можат споредбено да се видат различните бои на светлоста:

| Боја на светлоста описно | CCT | Изглед | Асоцијација |
|---|---|---|---|
| Топло бела (Warm White) | - 3000K + | црвенкаста | "топла" |
| Неутрално бела (Neutral White) | - 4000K + | бела | "неутрална" |
| Ладно бела (Cold White) | - 5000K + | плавкаста | "ладна" |

***Светлосно загадување*** – Овој термин се однесува на барањето од модерните системи за улично осветлување, меѓу другото: да даваат осветлување само таму кадешто е потребно, да даваат ниво на осветленост точно толку колку што е потребно, да се елиминира осветлувањето коешто е насочено нагоре итн. Иако

светлосното загадување сеуште не е дефинирано со интернационален стандард, повеќе организации, како што е Европското асоцијација за осветлување (Lighting Europe) и Асоцијацијата за темно небо (IDA), го земаат овој проблем како неопходен елемент од модерното јавно осветлување.

## 2. ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Почитување на овие стандарди е едно од клучните барања на Студијата.

***EN 13201-1:2014*** – Овој стандард ги дава насоките за избор на класа на осветлување во доменот на улично осветлување. Како би се избрала соодветна класа за осветлување, стандардот содржи систем за дефинирање според бодовна формула на десетина параметри.

***EN 13201-2:2015*** – Овој стандард ги дефинира барањата за перформансите на уличното осветлување. Овие барања се дадени како класи на осветленост како што е дефинирано во следната табела:

| **Класа на пат** | **Осветленост на патот** | | | **Непријатен отсјај** | **Осветлување на околината** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **$L_{av}$ [cd]** | **$U_0$** | **Ui** | **TI** | **EIR** |
| M1 | 2,00 | 0,40 | 0,70 | 10 | 0,35 |
| M2 | 1,50 | 0,40 | 0,70 | 10 | 0,35 |
| M3 | 1,00 | 0,40 | 0,60 | 15 | 0,30 |
| M4 | 0,75 | 0,40 | 0,60 | 15 | 0,30 |
| M5 | 0,50 | 0,35 | 0,40 | 15 | 0,30 |
| M6 | 0,30 | 0,35 | 0,40 | 20 | 0,30 |

***IEC 62471:2006/CIE S 009:20002*** – Овој стандард се однесува на опасноста од сина светлост (анг. Blue Light Hazard). Термин "опасност од сина светлост " најчесто се користи кога се анализира ризикот по здравјето на луѓето поради изложување на извори на светлост како што се ЛЕД светлечките диоди. Овој термин треба да се користи кога се проценува фотохемискиот ризик за ретиналното ткиво на окото, познато како фотомакулопатија, а поврзано со гледање во извори на светлост. Сината боја е вклучена во терминот бидејќи ризикот од фотохемиска повреда е поврзан со брановата должина на светлоста, со најизразен интензитет во синиот спектар на оптичкото зрачење од ~435nm до ~440nm. Меѓународната комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP) ја дефинирала опасноста од сината светлост и ги дефинирала границите на изложување на истата. CIE (анг. International Commission on Illumination) ја стандардизирала оваа функција како дел од препораките CIE S 009:2002 "Фотобиолошка безбедност на сијалиците и светилките", којшто е објавен како стандард IEC 62471:2006/CIE S 009:2002. Препораките на оваа Студија е во јавното осветлување да се користат светилки коишто го задоволуваат овој стандард.

## 3. АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### Општи напомени

Со цел да се разбере специфичноста на јавното улично осветлување во проградските населби во Општина Гази Баба, извршена е општа квантитативна и визуелна теренска анализа во:

| Општина -улица - населено место | Тип на осветлување (едностранo-двостранo) | Вкупно столбови | Светилки | Тип на светилка - јачина (w) | Висина на столбови | Растојание помеѓу столбови/светилки | Ширина на улица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сингелиќ | едностранo | 100 | 100 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Ергеле | едностранo | 32 | 32 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Трубарево | едностранo | 376 | 376 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Гоце Делчев | едностранo | 145 | 145 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Јурумлери | едностранo | 349 | 349 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Колонија и Идризово | едностранo | 216 | 216 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Дрма | едностранo | 78 | 78 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Нова Колонија | едностранo | 148 | 148 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Брњарци | едностранo | 104 | 104 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Стајковци | едностранo | 441 | 441 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Страчинци | едностранo | 63 | 63 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Смилковци | едностранo | 79 | 79 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Црешево | едностранo | 198 | 198 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Виниче | едностранo | 60 | 60 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Булачани | едностранo | 175 | 175 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |
| Раштак | едностранo | 155 | 155 | 70 W | 7 - 9 метри | 28 - 31 метар | 3 -4 метри |

**Заклучоци на теренската анализа**

Теренската анализа допринесе да се изведат неколку важни заклучоци коишто се од значај за оваа Студија.

Имајќи го во предвид фактот дека во целината на системот на јавно улично осветлување може да се идентификуваат два главни подсистеми на улично осветлување, Студијата ќе ги елаборира специфичностите на секој од овие подсистеми:

**Секундарни улици:** Вториот систем е застапени во руралните подрачја и во помалите улици во урбаните средини. главните сообраќајници во рамките на населените места коишто во најголем број случаи се поврзани со примарните улици. Како и кај првиот систем, теренската анализа потврди дека нивото на осветлување на во најголем број случаи значајно отстапува од минималните барања за оваа категорија на сообраќајници. Овој заклучок е донесен врз база на следниве параметри: се користат различни типови на светилки со различни оптички решенија, постојат различни начини на монтажа на светилките, се користат извори на светлост со застарени технологии, оддалеченоста помеѓу столбовите за улично осветлување не е константна, висината на монтажа на светилките не е идентична и слично. Покрај тоа, ширината на сообраќајниците не се стандардизирани и варираат од 3м до 4м, а исто така присатни се тротоари со различна ширина. Распоредот на столбовите за улично осветлување не е стандардизиран, така да е можно да се идентификуваат сите комбинации на симетрични и асиметрични распореди во однос на сообраќајниците со меѓусебни растојанија од 28м до 31м. Во најголем број случаи, висината на монтажа на светилките е >7м и варира од 7м до 9м. Староста на светилките варира од многу стари (повеќе од 20 години) до стари (помеѓу 10 и 20 години), а во многу мал процент се нови светилки. Технологијата на изворите на светло доминантно е заснована на живини и натријум сијалици.Во структурата на постоечкиот систем за јавно улично осветлување во значаен процент е застапена технологијата на натријум со висок притисок (85%) и во помал процент технологијата на жива со висок притисок (14%). Метал халогената технологија се појавува во симболичен процент (1%).

**Потрошувачка на електрична енергија на постоечкиот систем за јавно улично осветлување**

За целите на Студијата, во сите калкулации се земени неколку фиксни параметри:

- Системот на јавно улично осветлување е во функција 4.300 часа во текот на годината или дневно во просек од 12 часа. Со овој пристап се избегнати разликите во режимот на работа во текот на годината и Студијата има можност да ги генерира калкулациите со пондерирани вредности.
- Постоечкиот систем на јавно улично осветлување е 100% во функција во текот на годината. Студијата ги занемарува инцидентните периоди кога делови од системот не се во функција со цел да направи реална споредба со новиот систем на јавно улично осветлување.

Студијата ја пресметува потрошувачката на електрична енергија според методологијата за пресметка на потрошувачката на електрична енергија на системите за осветлување со HID (анг. High Intensity Discharge) извори на светлост. Со оваа методологија е вклучена и потрошувачката на предспојните уреди, и тоа +15% во однос на номиналната сила за натриум технологијата и +25% во однос на номиналната сила за живината и метал халогена технологија со што се добива реална калкулација на вкупната потрошувачка на системот.

**Трошоци за одржување на постоечкиот систем за јавно улично осветлување**

Како би се утврдиле сите параметри на користење на постоечкиот систем за јавно улично осветлување, потребно е да се проценат трошоците на одржување. Студијата ја користи методологијата за проценка која генерира упросечена вредност на повеќе годишна експлоатација на системот, земајќи го во предвид реалниот животен век на секоја од технологиите во употреба, набавните цени на опремата од реномирани производители и проценетиот трошок на одржување по сијалично место.

Студијата го пресметува следниот годишен трошок на одржување:

| Извор на светлост | Снага (W) | Количина | Номинален век на траење (сати) | Набавна цена (МКД) | Трошок на инсталација (МКД) | Вкупен трошок на одржување (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Натријум сијалица** | 70 | 3.400 | 20.000 | 1.736 | 4.000 | 19.502.400 |
| **ВКУПНО:** | | | | | | **19.502.400** |

Според податоците доставени од општината, годишниот трошок на одржување е помеѓу 10.000.000 и 15.000.000 денари со што се верификува точноста на калулацијата на Студијата.

## 4. АНАЛИЗА НА ПРЕДЛОЖЕНИОТ НОВ СИСТЕМ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Општи очекувања од новиот систем за јавно улично осветлување**

Новиот систем за јавно улично осветлување мора да:

- ги исполни барањата за класа на сообраќајници и да обезбеди безбедност, како за возачите, така и за останатите учесници во сообраќајот;
- ги користи најновите технологии кои овозможуваат најголем бенефит за граѓаните;
- ги користи најновите и најефикасните ЛЕД технологии кои постигнуваат најголеми заштеди на енергија;
- ги користи најсовремените системи за контрола и управување со ЛЕД светилките како би се обезбедила оптимална функција на системот;
- ги користи висококвалитетни ЛЕД светилки со долг животен век на експлоатација како би се обезбедиле најголеми заштеди во трошоците за одржување;
- ги унифицира и стандардизира светилките.

**Унификација и стандардизација на светилките коишто се дел од новиот систем за јавно улично осветлување**

Од најголема важност е да се постигне високо ниво на унификација и стандардизација на новите типови на светилки. Постојат две главни причини за оваа препорака:

- светилките со иста големина, тип и изглед ги споделуваат најголем дел од компонентите, и на тој начин процесот на одржување е поедноставен и економски оптимизиран;
- естетскиот ефект на вака унифициран и стандрдизиран систем на јавно улично осветлување делува професионално и визуелно прифатливо на корисниците.

Како би се постигнала оваа цел, Студијата препорачува да се користи еден ист тип на светилки за сите Примарни улици, и друг тип на светилки за сите Секундарни улици.

**Избор на памтно решение за новиот систем за јавно улично осветлување**

Модерните светилки му овозможуваат на корисникот голем избор на паметни опции коишто со анализа треба да се прилагодат на конкретните потреби, барања и можности. Потребно е да се направи cost-benefit анализа како би се одбрал систем кој генерира највеќе бенефит во однос на трошоците на имплементација и идното користење на системот.

Оваа Студија препорачува неколку паметни решенија коишто даваат најдобри резултати во однос на дефинираните општи очекувања од новиот систем за јавно улично осветлување:

- **Паметен систем за автономно димување со астрономски часовник за одредување на виртуелна полноќ**
  Студијата препорачува овој систем да се имплементира на ниво на комплетниот нов систем на јавно улично осветлување. Суштината на овој систем е светилката да содржи паметен ЛЕД драјвер којшто фабрички би се програмирал да работи во неколку режими на работа во текот на 24 часовен период односно од моментот на вклучување до моментот на исклучување.

Паметниот ЛЕД драјвер може да ја контролира моќноста на светилката според однапред зададените параметри, а астрономскиот часовник ќе го синхронизира работењето според различните времиња на вклучување-исклучување во текот на годината. Студијата препорачува ЛЕД драјверот да поседува т.н NFC функција којашто ќе и овозможи на општината да ги репрограмира функциите на ниво на индивидуална светилка со соодветен NFC уред.

- **Паметен систем за управување и контрола преку бежични модули** Студијата препорачува овој систем односно хардверската подршка за идна надградба со овој систем да се имплементира на ниво на селектирани улици коишто имаат приоритетно значење за општината. Со оглед на фактот дека самиот систем нема особени предности во однос на автономното димување, а претставува значајна финансијска инвестиција, потребна е подетална анализа за реалните потреби и бенефити од негова имплементација. Овој систем не влијае на економските придобивки и при изработка на RoI (анг. Return of Investment) односно пресметките за враќање на инвестицијата се анализира одделно.
- **Паметен систем за интеграција на сензорски модули** Студијата препорачува овој систем односно хардверска подршка за идна надградба со овој систем да се имплементира на селектирани индивидуални позиции во рамки на општината. Овој систем претставува интегрален дел од концептот "паметен град" и овозможува приклучување на различни паметни сензори за потребите на општината. Овој систем не влијае на економските придобивки и при изработка на RoI (анг. Return of Investment) односно пресметките за враќање на инвестицијата се анализира одделно.




**Главни карактеристики на новиот систем за јавно улично осветлување**

**Општи технички барања**

- Сите подтипови на светилката од еден модел да поседуваат идентични: куќиште, протектор и потребни елементи и опрема за монтажа.
- Куќиштето изработено од алуминиум лиен под притисок во потполност заштитен од корозија, заштитено од атмосферски влијанија и отпорно на вибрации.
- Оптичко решение со леќи изработени од ПММА или еквивалент со висока отпорност на УВ зрачење. Оптиката да е предвидена за осветлување на патишта од М-класа.
- Протектор на светилката е изработен од рамно калено/ламинирано стакло или ПММА, отпорен на УВ зраци, атмосферски влијанија и температурни дилатации.
- Комплет со сите потребни елементи и опрема за мотажа. Светилката мора да биде опремена со надворешно спроведен кабел со минимална должина од 1m, за електрично поврзување без потреба да се отвара светилката при монтажа.
- Напојување на светилката со мрежен напон 220-240V, 50Hz и електрична класа Class I
- Фактор на сила >0,95
- Вградена температурна заштита од прегревање на светилката.
- ULOR = 0%

- Боја на светлината (CCT) 4000K +/-5%
- Минимален корисен животен век на светилката според L90B10 минимално 100.000 часови.
- Механичка отпорност на удар на светилката во согласност со IEC/EN 62262 (или еквивалент) - минимално IK08.
- Степен на механичка заштита на комплетната светилката во согласност со IEC/EN 60598 (или еквивалент) - минимално IP66.
- Можност за регулација на моќноста и интензитетот на осветлувањето, односно поседување на функција на автоматско димирање во минимум 2 нивоа.
- Интегрирана преднапонска заштита од минимум 10kV.
- Светилката мора во потполност да биде опремена за монтажа на рамна конзола со дијаметар 60mm и директно на столб со дијаметар од 60mm.
- Светилката мора да има можност за подесување на аголот на инклинација од -15 степени до +15 степени.
- Светилката да биде предвидена да работи во услови на амбиентална температура во распон од -35$^0$C степени до +45$^0$C.
- Документи издадени од производителот или издадени на производителот од страна на овластени организации:
    - Изјава за CE сообразност (Declaration of Conformity) за светилката;
    - Изјава за CE сообразност (Declaration of Conformity) за ЛЕД драјверот;
    - ENEC сертификат за светилката;
    - ENEC PLUS сертификат за светилката;
    - ENEC сертификат за ЛЕД драјверот;
    - Извештај за фотобиолошка безбедност на ЛЕД модулите според IEC 62471 (или еквивалент);
    - LM-80 извештај за ЛЕД модулите;
    - Позитивен извештај за отпорност на вибрации;
    - Извештај за заштита од корозија и атмосферски влијанија според ISO 9223 минимум категорија C5 (или еквивалент);
    - ISO 9001
    - ISO 14001
    - ISO 45001
    - Гаранција за светилката издадена од производителот со времетраење од минимум 5 години.
    - Каталог или брошура за светилката и линк до интернет страната на производителот од каде што може да се превземат истите.

**Индивидуални технички и квантитативни барања**

| Локација | Тип | Вкупна електрична сила на светилката | Реална луминозност на светилката | Дополнителни функции | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| **Секундарни улици** | LED S 4375lm 740 RM7 IP66 I kl. DALI (33W)+NEMA | ≤ 33W | ≥ 4000lm | Астрономски часовник за одредување на виртуелна полноќ<br>Фабрички програмирано автономно димување | 3400 |
| | **Lamp NEMA Controller** | | | NEMA controller<br>2.4G Radio Frequency комуникација со MESH функција<br>Standard NEMA 7-PIN interface, plug and play;<br>Далечинско | 3400 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | вклучување/исклучување, вграден 16A релеј;<br>Автоматско управување преку фотоќелија;<br>Интерфејс за димирање: DALI и 0-10V;<br>Далечинско очитување на електрични параметри: струја, напон, моќност, фактор на моќност и потрошена енергија;<br>Подршка за регистрација на вкупно потрошена енергија и ресет.<br>Детекција на грешка и дефект и известување на серверот;<br>Опционен модул: GPS, Tilt and RTC;<br>Громобранска заштита;<br>Водоотпорност: IP65; | |
| | **Gateway RTU200Z-LR** | | | | 16 |
| | **Software(Smart Lighting Control System)** | | | | 1 |

- Светилката да поседува технички лист и линк до интернет страната на производителот од каде што може да се превземе истиот.
- Светилката да поседува IES датотека или LDT датотека и линк до интернет страната на производителот од каде што може да се превземат истите.

**Карактеристики на сообраќајниците и фотометриски барања**

**Основни параметри за изготвување на светло-техничките пресметки**

- Светло-техничките пресметки се изготвуваат со користење на стандардот EN 13201:2015 (МКС EN 13201:2016) и потребно е да ги задоволуваат сите барања дефинирани со споменатиот стандард.
- За светло-техничките пресметки да се користат карактеристики на површината дефинирани како: CIE R3 и Q0 = 0,07.

**Сообраќајница бр.1**

Пресметките треба да се изготват со користење на ЛЕД светлинска арматура ТИП 2. Потребно е да се изготват пресметки за сите профили како што е дефинирано во следните табели:

*Табела бр.3.1 за фактор на одржување MF=0,90 (Профили 1-6)*

| | **Профил број** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| **Фактор на одржување** | MF = 0,90 | | | | | |
| **Распоред на столбови** | Едностран, од страната на T1 | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тротоар 1 (Т1)** | 2,00m | | | | | |
| **Паркинг 1 (П1)** | 2,00m | | | | | |
| **Сообраќајница 1 (С1)** | 7,00m со две коловозни ленти во спротивен правец | | | | | |
| **Тротоар 2 (Т2)** | 2,00m | | | | | |
| **Растојание помеѓу столбовите** | 31m | 31m | 31m | 31m | 31m | 31m |
| **Висина на светлосен центар на светлинската арматура** | 7m | 8m | 9m | 7m | 8m | 9m |
| **Позиција на светлосната арматура во однос на С1** | -2m | -2m | -2m | -1m | -1m | -1m |
| **Агол на инклинација на светлосната арматура** | $0^0$-$15^0$ | $0^0$-$15^0$ | $0^0$-$15^0$ | $0^0$-$15^0$ | $0^0$-$15^0$ | $0^0$-$15^0$ |
| **Пресметка за Т1** | EN 13201:2015 класа: P2 | | | | | |
| **Пресметка за С1** | EN 13201:2015 класа: M4 | | | | | |
| **Пресметка за С1 (илуминанса)** | Eh avg > 13,00lx | | | | | |
| **Пресметка за Т2** | EN 13201:2015 класа: P3 | | | | | |

*Табела бр.3.2 за фактор на одржување MF=0,45 (Профили 7-12)*

| | **Профил број** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| **Фактор на одржување** | MF = 0,45 | | | | | |
| **Распоред на столбови** | Едностран, од страната на Т1 | | | | | |
| **Тротоар 1 (Т1)** | 2,00m | | | | | |
| **Паркинг 1 (П1)** | 2,00m | | | | | |
| **Сообраќајница 1 (С1)** | 7,00m со две коловозни ленти во спротивен правец | | | | | |
| **Тротоар 2 (Т2)** | 2,00m | | | | | |
| **Растојание помеѓу столбовите** | 35m | 35m | 35m | 35m | 35m | 35m |
| **Висина на светлосен центар на светлинската арматура** | 8m | 9m | 10m | 8m | 9m | 10m |
| **Позиција на светлосната арматура во однос на С1** | -2m | -2m | -2m | -1m | -1m | -1m |
| **Агол на инклинација на светлосната арматура** | исто како профил 1 | исто како профил 2 | исто како профил 3 | исто како профил 4 | исто како профил 5 | исто како профил 6 |
| **Пресметка за Т1** | Emin > 2,00lx | | | | | |
| **Пресметка за С1** | EN 13201:2015 класа: M6 | | | | | |
| **Пресметка за С1 (илуминанса)** | Eh avg > 6,50lx | | | | | |
| **Пресметка за Т2** | Emin > 1,50lx | | | | | |

**Потрошувачка на електрична енергија и заштеди на новиот систем за јавно улично осветлување**

Студијата ја пресметува новата годишна потрошувачка на електрична енергија врз база на параметрите поставени како Општи и Индивидуални технички и квантитативни барања за новиот систем за јавно улично осветлување.

| Општина_____ГАЗИ БАБА_____ | |
|---|---|
| Сметки за струја | |
| **Период** | **Сума** |
| 01.07.2021 | 1,973,603.00 |
| 01-08-21 | 2,145,528.00 |
| 01-09-21 | 2,201,670.00 |
| 01-10-21 | 2,413,222.00 |
| 01-11-21 | 2,398,482.00 |
| 01-12-21 | 2,633,902.00 |
| 01-01-22 | 2,950,490.00 |
| 01-02-22 | 2,596,644.00 |
| 01-03-22 | 2,553,602.00 |
| 01-04-22 | 4,102,643.00 |
| 01-05-22 | 3,729,535.00 |
| 01-06-22 | 3,969,011.00 |
| 01-07-22 | 5,931,528.00 |
| 01-08-22 | 4,612,533.00 |

**Трошоци за одржување на новиот систем за јавно улично осветлување**

Земајќи го во предвид фактот дека новиот систем за јавно улично осветлување е потребно да го задоволува критериумот од 100.000 работни часа, Студијата не предвидува трошоци за одржување во период од најмалку 10 години.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Општ заклучок**

Јасен и неоспорен заклучок на Студијата е дека постоечкиот систем за јавно улично осветлување не ги исполнува основните барања наведени во меѓународните стандарди и општата пракса во јавното улично осветлување.

Се истакнуваат следните точки кои бараат итно решавање:

- Класата на сообраќајниците мора да биде ускладена со меѓународните стандарди бидејќи директно влијае на безбедноста на учесниците во сообраќајот.
- Старосната структура на постоечкиот систем за јавно улично осветлување во најголем број случаи го надминал предвидениот животен век на светилките и трошоците за одржување на истиот се многу високи.

- Важно е да се нагласи дека живините и натриум извори на светлост, заедно со предспојните уреди кои се сега во употреба, се забранети во ЕУ и со ускладување на локалната законска регулатива со ЕУ регулативите истите ќе бидат забранети и во земјата.
- Енергетската ефикаснот е изворедно ниска во споредба со можностите на ЛЕД технологијата, што оваа Студија го докажува со приложените пресметки.

**Општа препорака**

Препораката на оваа Студија е да се замени постоечкиот систем за јавно улично осветлување со нов систем за јавно улично осветлување базиран на најновите ЛЕД технологии.

Исто така, се препорачува новите ЛЕД светилки да бидат произведени и со потекло од Европа и од реномирани производители со производни погони во Европа, кои што се долги години се занимаваат со производство на опрема за улично осветлување. Оваа препорака се дава со цел општината да нема проблеми со исполнување на гаранциските услови, набавка на резервни делови, исполнување на номиналните карактеристики итн

Таквата замена треба да доведе до:

- Зголемување на нивото на осветленост како би се задоволиле дефинираните класи на сообраќајници.
- Истовремено да се добие најголема енергетска ефикасност со користење на високо ефикасни светилки и карактеристиките на автномно димување или сличните функции.
- Намалување на трошоците за одржување на нула во еден подолг период.
- Поедноставување на системот за јавно улично осветлување со користење на исти или слични светилки.
- Компатибилност за осовременување на системот за јавно улично осветлување според идните барања за "паметен град".

**4. Анализа на влијание врз животната средина (околината)**

# I. Прелиминарна оценка на влијание на проектот врз животната средина

**Воведни напомени**

Во согласност со целите за долгорочна заштита и одржливо користење на природните ресурси и заштита и унапредување на медиумите и областите на животната средина, управувањето со опрема се заснова на: начелото на одговорност на производителот според кое производителот е одговорен за преземање на мерки за управување со опремата со цел да се елиминира и/или намали до крајна можна мера негативното влијание врз медиумите и

областите на животната средина кое настанува како резултат на отпадна опрема создадена од неговата дејност, вклучувајќи и создавање на услови за остварување на висок степен на одделно собирање, повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка на отпадната опрема и начелото на процена на животниот циклус на производот според кое производителот на опрема е должен да изврши процена на животниот циклус на опремата на начин со кој ќе се овозможи зголемување на еколошките остварувања на опремата, исклучување или намалување на присуството на опасни суспстанции во опремата согласно со научнотехничките достигнувања, дизајнирање на начин што ќе придонесе кон намалување на отпадот што настанува од отпадната опрема со цел за спречување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Опремата треба да биде проектирана и произведена на начин со кој се обезбедува намалување на употребата на опасни супстанции на најмала можна мера и олеснето расклопување и демонтирање, повторна употреба и рециклирање и друг начин на преработка на отпадната опрема, нејзините составни делови и вградени материјали. Производителите не смеат со посебен дизајн на опремата, нејзините составни делови и вградени материјали или со производните постапки да ја спречуваат повторната употреба на опремата, освен доколку тој дизајн или тие производни постапки вклучуваат значајна предност за заштитата на животната средина и/или безбедност при користење на опремата.Доколку отпадната опрема содржи супстанции и материјали кои треба пред расклопувањето на отпадната опрема да се издвојат, крајниот корисник е должен да обезбеди отпадната опрема да биде во таква состојба издвојувањето на тие супстанции и материјали да може да се спроведе во согласност со посебните прописи со кои се уредува постапувањето со тие супстанции и материјали. Преземањето на отпадната опрема се врши на места определени за преземање на отпадната опрема, опремени и уредени на начин кој ќе овозможи крајните корисници да ја предаваат или оставаат отпадната опрема. Врз основа на Законот за управување со електрична и електронскаопрема и отпадна електрична и електронска опрема, министерот за животна средина и просторно планирање има објавено листа на виодви на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и елетронска опрема, каде под точка 5 е класифицирана опремата за осветлување и тоа:светилки за флуоресцентни сијалици, со исклучок на светилките во домаќинствата, равни флуоресцентни сијалици, компактни флуоресцентни сијалици, гасни сијалици со висок интензитет, вклучувајќи ги и натриумските сијалици подпритисок и халогените сијалици, натриумски сијалици под низок притисоки друг вид осветлување или опрема за ширење или за контрола на светлината, соисклучок на електричните светилки.

Во контекст на претходно кажаното треба да се потенцира и следново дека:

- Електрична и електронска опрема и уреди ( ЕЕ -опрема) претставуваат сите производи кои за својата правилна работа во

потполност зависат од електрична енергија или елекромагнетни полиња како и опрема за производство, пренос и мерење на струјата или за мерење на јачина на електромагнетни полиња и е наменета за користење при напон кој не е поголем од 1.000V за наизменична и 1.500V за еднонасочна струја и не ја вклучува амбалажата, кога од било кои причини оваа ЕЕ опрема стане неупотреблива се претвара во ЕЕ отпад за кој треба да се погрижиме,

- Електричен и електронски отпад (ЕЕ отпад) е отпадната електрична и електронска опрема вклучувајки ги склопките и составните делови, кои настануваат во стопанството (индустрија, обработка и др.), електронски отпад од домаќинства, односно отпадна електрична и електронска опрема настаната во домаќинствата или во производно/ услужни дејности кога по врста и количина е слична на ЕЕ отпадот од домаќинства, и
- Електричен и електронски отпад има карактер на опасен отпад и према Законот за управување со отпад неможе да се меша со други типови на отпад. Електричен и електронски отпад содржи отровни и многу често канцерогени супстанци, па заради тоа е многу опасен за човековото здравје, животната средина и нашата планета.

Целта за управувањето со ЕЕ отпадот е успоставување на систем за одвоено собирање на електричниот и електронскиот отпад. Потребно е да се класифицира врз основ на категориите на ЕЕ отпад за негова понатамошна употреба, згрижување и заштита на животната средина и здравјето на граѓаните.

Имено во јавното осветлување најчесто се среќаваме со четири различни технологии на електрични светилки, бидејќи за овие светилки тешко можат да се најдат информации на едно место, направен е инфографик на кој што може во зависност од типот на светила да се разберат во поедноставна формаод аспект на ефикасност и влијание врз животната средина.

*Слика 3. Видови на светилки и нивни карактеристики*

ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
LED
MXn
Na
Hg
2X
5X
10X
ЕКОЛОШКО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗОШТЕДО
ДА
НЕ
ULOR
CUT-OFF
0% ЕМИСИЈА
НАД 90°
СИН СПЕКТАР

## НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

При подготовката на прелиминарната проценка на влијанието на проектотзареконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба врз животната средина, земено е во предвид релевантното национално законодавство и подзаконските акти, меѓународни стандарди како и најдобрите светски практики од областа на заштита наживотната средина при проектирање на современи сообраќајни решенија за подземно паркирање.

При подготовка на проектната документација и реализација на проектот, Инвеститорот треба да го следи националното и ЕУ законодавство релевантно за проектот.

**Релевантното национално законодавство:**

1. Закон за животна средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 42/14, 44/15, 129/15, 192/15и39/16);

   - Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник бр.74/05, измени и дополнувања 109/09, 164/12);
   - Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за ОВЖС (Службен весник бр. 33/06);
   - Правилник за информациите што треба да ги содржи известувањето за намерата за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на РМ бр. 33/06)
   - Правилник за содржината на објавата на известувањето за намерата за спроведување на проект, на решението за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и на решението со кое се дава согласност или се одбива спроведувањето на проектот, како и начин на консултирање на јавноста (Службен весник бр.33/06)
   - Правилник за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на проектот врз животната средина, како и постапката за овластување на лицата од листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина, кои ќе го изготват извештајот (Службен весник бр.33/06)

- Уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Сл. весник на РМ" бр.36/12);

- Правилникот за форма и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина, согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и согласно вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапка за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Сл.весник на РМ" бр. 44/13);

2. Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М бр. 51/05; измени 137/07 и 24/08-пречистен текст, 91/09; измени 124/10, 53/2011, 144/12 и 70/13, 163/13, 42/14, 44/15, 193/15 и 31/16);

    - Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Службен весник на РМ бр.69/99);

    - Правилник за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење пожари (Сл. весник бр. 31/2006)

3. Закон за градење (Службен весник на РМ бр. 51/05; измени 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 163/13, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16 и 39/16);

4. Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 67/04 со амандмани бр. 92/07, 35/10, 47/11, 163/13, 10/15 и 146/15);

    - Уредба за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целна вредности и долгорочни цели (Службен весник на РМ бр. 50/05);

    - Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник бр. 82/06);

    - Правилник за утврдување горните граници на емисиите на национално ниво (Службен весник на РМ бр. 10/90);

    - Список на зони и агломерации за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник бр. 23/2009);

- Правилник за методологија за попис и идентификација на нивото на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух во тони годишно за сите видови на активности, како и други податоци кои треба да се достават во рамките на Програмата за мониторинг на воздухот во Европа (ПМВЕ) (Службен весник бр. 2/2010);

5. Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ бр. 79/07, 124/10 и 47/2011, 163/13 и 146/15)

    - Правилник за гранични вредности ниво на бучава во животната средина (Службен весник на РМ бр. 147/08);
    - Правилник за локациите на мерните станици и мерните места („Сл. весник на РМ" бр. 120/08);
    - Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл.весник на РМ" бр. 1/09);
    - Правилник за примената на индикаторите за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со инидкаторите за бучава во животната средина (Службен Весник на РМ бр. 117/08)
    - Правилник за методата, условите и постапката за основање и работење на мрежите, методологијата за мониторинг, условите, начинот и постапката за поднесување на информации и податоци од следењето на бучавата (Службен весник бр. 1/09)

6. Закон за управување со отпад (Службен весник бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 9/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15,146/15, 192/15, 39/16);

    - Правилник за општите правила за постапување со комуналниот и со другите видови неопасен отпад („Сл.весник на РМ" бр. 147/07);
    - Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците („Сл.весник на РМ" бр. 156/07);
    - Листа на видови отпад (Службен весник на РМ бр. 100/05);
    - Правилник за начинот и условите за складирање на отпад, како и за условите кои треба да бидат исполнети од страна на местата на кои се врши складирање на отпад (Службен весник на РМ бр. 29/07);

- Правилник за количеството на биоразградливи состојки во отпадот што смее да се депонира (Службен весник на РМ бр. 108/2009; 142/2009)

7. Закон за пакување и отпад од пакување (Службен весник на РМ бр. 161/2009, измени и дополнувања бр.6/12, 163/13, 146/15, 39/16);

8. Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (Службен весник на РМ бр. 140/2010, измени и дополнувања бр.47/11, 148/11, 163/13, 146/15, 39/16)

9. Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен весник на РМ бр. 6/2012, 163/13, 146/15, 39/16)

10. Закон за води (Службен весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14 и 146/15);

- Уредба за класификација на водите (Службен весник на РМ бр. 18/99);

- Одредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Службен весник на РМ бр. 18/99, 71/99);

- Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта (Сл. весник на РМ бр. 108/11)

11. Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/06, 16/06, 84/07, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16) и подзаконските акти на Натура 2000 и Емералд мрежата;

12. Закон за хемикалии (Сл. Весник бр. 145/10, 164/13, 42/14 и 130/14)

- Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна (Сл. Весник на РМ бр. 25/10)

- Правилник за начинот на класификација и означување на опасните хемикалии (Сл. Весник на РМ бр. 113/07).

13. Закон за безбедност и здравје при работа (Службен весник на РМ бр. 92/07, 164/13, 158/14, 15/15 и 192/15)

- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на работното место (Службен весник на РМ бр. 154/2008);
- Правилник за безбедност и здравје при работа при употреба на опрема за работа (Службен весник на РМ бр. 116/07);
- Правилник за безбедност и здравје на работното место при работа на работниците изложени на ризик од бучава (Службен весник на РМ бр. 21/2008);

14. Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11)
15. Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 и 192/15)

### *Релевантни Директиви на ЕУ (вклучувајќи ги најновите измени):*

1. Директива за ОВЖС (85/337/ЕЕС) дополнета со Директива на ЕУ 97/11/ЕС, Директива на ЕУ 2003/35/ЕС, Директива на ЕУ 2009/31/ЕС
2. Директива за пристап до информации за животната средина (2003/4/ЕС)
3. Директива за учество на јавноста во поглед на изготвувањето на одредени планови и програми кои се однесуваат на животната средина и дополнување во однос на учеството на јавноста и пристап до правдата Директивите на Советот 85/337/ЕЕС и 96/61/ЕС (2003/35/ЕС)
4. Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда во областите на животната средина (Архуска конвенција)
5. Рамковна директива за отпад 2006/12/ЕС дополнета со Директивата на ЕУ 2008/98/ЕС за управување со отпад;
6. Одлука на Комисијата 2000/532/ЕС од 3 мај 2000 година, која ја заменува Одлуката 94/3/ЕС за утврдување на листата на отпади во согласност со член 1 (а) од Директивата на Советот 75/442/ЕЕС за отпад и Одлука на Советот 94/904/ЕС која изготвува листа на опасен отпад во согласност со член 1 (4) од Директивата на Советот 91/689/ЕЕС за опасен отпад;
7. Директивата 1999/31/ЕО од 26 април 1999 година за депонии за отпад
8. Директива 2000/76/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 4 декември 2000 година за горење на отпадот

9. Директива на европскиот парламент и совет 94/62/ЕС за пакување и отпад од пакување

10. Директива 2006/66/ЕО на Европскиот парламент и на Советот од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕС

11. Директива 2002/96/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 27 јануари 2003 година за отпадна електрична и електронска опрема.

12. Директива 2002/95/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 27 јануари 2003 година за ограничување на употребата на одредени опасни супстанции во електричната и електронската опрема

13. Директива на ЕУ 2001/60/ЕС - Рамковна директива и Одлука за води и 2455/2001/ЕС која го утврдува списокот на приоритетни супстанции во доменот на политиката за водата;

14. Директива на ЕУ 2008/105/ЕС за еколошките стандарди за квалитет во доменот на политиката за вода;

15. Директива 80/68/ЕЕС за заштита на подземните води од загадување предизвикано од одредени опасни супстанции;

16. Директива на ЕУ 2002/49/ЕС за оценување и управување со бучавата во животната средина;

17. Директива на ЕУ 2000/14/ЕС за емисии на бучава од надворешна опрема;

18. Рамковна директива за квалитет на амбиентниот воздух (96/62/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003;

19. Директива за бензен и јаглерод моноксид (2000/69/ЕС);

20. Директива 2002/3/ЕС за озон во а амбиентниот воздух;

21. Директива на ЕУ (1999/30/ЕС) за крајните вредности за сулфур диоксид, азот диоксид и азотни оксиди, суспендирани честички и олово во амбиентниот воздух;

22. Рамковна конвенција на Обединетите нации за климатските промени (Њујорк, 9 мај 1992);

23. Протокол од Кјото за климатските промени (Кјото, декември 1997 година);

24. Директива 89/654/ЕЕС за барањата на работното место во врска со минималните безбедносни и здравствени услови за работното место (прва поединечна директива во рамките на значењето на член 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕС);

25. Директива (2003/10/ЕС) за минимум здравствени и безбедносни барања во однос на изложеност на работниците на ризици од физички агенси (бучава) (6 февруари 2003);

26. Директива 1989/391/ЕЕС за воведување на мерки за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците на работа;

## ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТИ ВРЗ ЖИВОТНА СРЕДИНА

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е надлежен орган за водење постапка за оцена на влијание на проектот врз животната средина. Во Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/2009, 124/2010, 51/2011, 123/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15, Глава XI/членови 76-94) каде што се транспонирани барањата на директивите на ЕУ за ОВЖС (Директивата 85/337/ЕЕС дополнета со Директивите 97/11/ЕС, 2003/ 35/ЕС и 2009/31/ЕС), е пропишана постапката за оценка на влијанието врз животната средина која треба да ја следи изготвувачот на ОВЖС.

Постапката за оценка на влијанието на проектот врз животна средина - ОВЖС (прикажана на **Error! Reference source not found.**) започнува кога инвеститорот (Предложувачот на проектот) кој има намера да го спроведе проектот, поднесува Известување за намера во писмена и електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП - Управа за животна средина), кој е надлежен орган за целата постапка. Управата за животна средина е должна да го објави известувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на интернет страната на МЖСПП.

Постапката за определување на потребата од спроведување на ОВЖС, претставува една фаза од постапката за ОВЖС во текот на која МЖСПП одредува дали ОВЖС треба да се спроведе или не за одреден проект, во согласност со член 77 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/2009, 124/2010, 51/2011, 123/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ" бр.74/05, измени и дополнувања 109/09, 164/12). Одлуката од определувањето на потребата од спроведување треба да биде објавена во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на интернет страницата, како и на огласната табла на МЖСПП. Инвеститорот, правните лица или физичките лица кои се засегнати, како и невладините организации за животна средина, може да поднесат жалба против одлуката до „Второстепената комисија на Владата на Република Северна Македонија" одговорна за решавање на управните работи во областа на животната средина.

По постапката за определување на потребата од спроведување на ОВЖС, МЖСПП го информира инвеститорот за одлуката за тоа дали ОВЖС ќе се спроведе или не и врз основа на тие информации, инвеститорот поднесува барање за мислење за опфатот на ОВЖС.

Фазата на одредување на обемот е постапка во текот на која МЖСПП ја утврдува содржината и обемот на работите кои треба да се опфатат со студијата за оценка на влијанието врз животната средина. При подготвувањето на мислењето за обемот на студијата, МЖСПП треба да ги земе предвид мислењата на инвеститорот и мислењата добиени по објавувањето на одлуката за потребата од спроведување. По одредувањето на обемот, Инвеститорот ја изработува Студијата за ОВЖС според условите утврдени во подзаконските акти (Правилникот за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Службен весник на Р.М." бр. 33/06))и ја доставува до МЖСПП во писмена и електронска форма.

Инвеститорот кој ја изработува Студијата за ОВЖС е должен да вклучи најмалку едно лице од Листата на експерти за ОВЖС коешто ќе ја потпише Студијата за ОВЖС како одговорно лице во однос на нејзиниот квалитет.

Јавното објавување започнува кога МЖСПП ќе извести дека нацрт - верзија на Студијата за ОВЖС за проектот кој е во изработка е изготвена и истата е достапна за јавноста во најмалку еден дневен весник, додека не - техничката студија се објавува на интернет страницата на МЖСПП. Во оваа фаза, МЖСПП организира Јавна расправа за нацрт студијата за ОВЖС и треба да обезбеди достапност на информациите потребни за јавноста и учеството на јавноста во јавната расправа.

Ревизијата на ОВЖС претставува процес за проверка на соодветноста на студијата за ОВЖС. Извештајот за соодветноста на Студијата за ОВЖС го подготвува МЖСПП или лица назначени на листата на експерти за ОВЖС. Врз основа на Студијата, Извештајот за соодветноста на студијата за ОВЖС, јавната дебата и добиените мислења, МЖСПП донесува Одлука за тоа дали ќе даде или нема да даде согласност за барањето за спроведување на проектот. МЖСПП ја доставува одлуката до Инвеститорот, до органот на државната управа надлежен за давањето одобрение или одлука/решение за спроведување на проектот и до општините каде што проектот ќе се спроведува. Истата се објавува на веб страницата на МЖСПП.

Вклучувањето на јавноста во постапката за ОВЖС и ПВЗС (План за вклучување на засегнатите страни) е регулирано со Законот за животна средина, подзаконските акти за информации од јавен карактер, за учество на јавноста и пристап до правдата и е во согласност со меѓународните конвенции потпишани и ратификувани од страна на Република Северна Македонија (Архуската конвенција и Конвенција Еспоо).

Вклучувањата на јавноста се врши преку:

- давање информации на јавноста за проектот и постапката за ОВЖС;

- нејзино учество при што таа може активно да биде вклучена во јавни дискусии и да достави писмено мислење во текот на различните фази на постапката за ОВЖС; и
- преку механизмот за пристап до правдата, при што јавноста може да влијае на донесувањето одлуки со поднесување жалби до Судот или до Второстепената комисија на Владата.

Проектот "реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба" според Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник бр.74/05, измени и дополнувања 109/09, 164/12) спаѓа во *Прилог II Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти) точка Енергетика. Индустриски инсталации за дистрибуција и пренос на електрична енергија***.** Инвеститорот постапката за ОВЖС ја отпочнува со доставување на Известување за намера за спроведување на проект до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП - Управа за животна средина). Доколку одлуката на МЖСПП е дека не постои потреба од спроведување на постапка за ОВЖС, Инвеститорот треба да започне со подготовка на Извештај – Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина. Содржината на Извештајот – елаборатот за ОВЖС треба да биде во согласност со Правилникот за формата и содржината на Извештајот за ОВЖС и постапката за усвојување на Извештајот за ОВЖС (Службен весник на РМ бр. 123/12, 44/13). Извештајот – Елаборатот за ОВЖС ги содржи главните карактеристики на активностите на проектот, главните позитивни и негативни влијанија врз животната средина земајќи ги во предвид карактеристиките на средината на локацијата каде што се одвиваат проектните активности. Многу поедноставената Програма за заштита на животната средина се состои од различни мерки кои треба да го спречат, намалат и да направат компензација за негативното влијание врз сите елементи од животната средина и таа треба да се базира на националното законодавство за животна средина и добрата меѓународна пракса на Слика 2 се прикажани чекорите при подготовката и усвојувањето на Извештајот – Елаборатот за ОВЖС.

*Слика 2. Постапка за ОВЖС кај проекти од помал обем согласно националното законодавство*




Во случај кога МЖСПП ќе донесе Одлука за спроведување на ОВЖС, инвеститорот поднесува барање за мислење за опфатот на ОВЖС и започнува со изработка на Студија за оцена на влијанијата врз животната средина.
Во случај на промена на основниот проект, потребно е да се изврши ажурирање на Студијата за оцена на влијание врз животната средина согласно новите праметри и осетливи елементи на животната средина во проектното подрачје.

Покрај постапката за оцена на влијанијата врз животната средина Инвеститорото овој случај приватниот партнер за модеринизација на системот на јавно осветлување во Општина Гази Баба е потребно да ги следи и техничките спецификации кои се потребни заради задоволување на националното законодавство од областа на градба и просторно уредување. Кога финансиската подршка за проектот ја дава меѓународна институција (WB, EBRD) потребно е да се следат препораките и политиките на институцијата од каде доаѓа финансиската подршка за обемот на Студијата за ОВЖС (На пример Прирачникот за животна средина на Светска Банка – WB Environmental Safeguards, Барања за исполување во поглед на животната средина на Европска Банка за обнова и развој – EBRD Environmental and Social Policy 2008 – 10 Environmental Performance Requirements). Значи, покрај националнато законодавство потребно е да се почитуваат и да се следат и насоките дадени од финансиската институција. Овие насоки можат да се најдат на web страната на институциите:
http://www.ebrd.com/pages/research/publications/policies/environmental.shtml,

http://web.worldbank.org/WBSITE/EXTERNAL/PROJECTS/EXTPOLICIES/EXTOPMANUAL/0,,contentMDK:20064724~menuPK:64701637~pagePK:64709096~piPK:64709108~theSitePK:502184,00.html.

Според националното законодавство, јавноста е вклучена во секој чекор од постапката за ОВЖС. Секоја одлука донесена во текот на постапката треба да биде објавена во соодветните медиуми и таа може да ја следи и да учествува во неа со помош на следниве чекори од постапката:

1. Објавување на Известувањето за намерата за започнување на проектот;
2. Објавување на одлуката за определување на потребата за спроведување на ОВЖС и обемот на ОВЖС;
3. Објавување на достапноста на нацрт студијата за ОВЖС и за организирање на јавна расправа;
4. Објавување на нетехничко резиме на Студијата за ОВЖС;
5. Објавување на Извештајот за соодветноста на Студијата за ОВЖС; и
6. Објавување на Одлуката за издавање на одобрение или за одбивање на барањето за спроведување на проектот.

Учеството на јавноста во постапката за ОВЖС, откако ќе се изготви нацрт студијата за ОВЖС е прикажана на Слика 3.

*Слика 3. Учеството на јавноста во постапката за ОВЖС*

Учество на јавноста во постапката за изработка на Студија за ОВЖС
Студија за ОВЖС
Објава за достапност на студијата
Доставување на писмени мислења
Јавност
МЖСПП
МЖСПП
Јавна расправа за Драфт верзијата на студијата за ОВЖС
МЖСПП
Информирање на НВОи
МЖСПП, Инвеститорот, Лица кои ја изготвиле Студијата
Јавноста, НВОи
Записници
Учесници, заклучоци, стенографски записи, видео и аудио записи
Достапност на информации за учество на јавноста
МЖСПП
Инвеститор, Државни органи, локална самоуправа
МЖСПП
Објава на записниците
Интернет страна на МЖСПП

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МОЖНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПРОЕКТОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во поглавјето кое следува ќе бидат опфатени можните влијанија врз животната средина од проектните активности во сите фази на проектот: фаза на проектирање, фазата на градба/демонтажа на постојни светилки со нови, оперативна фаза и престанок со работа/демонтажа. Прегледот и обемот на можните влијанија ќе биде опишан за секој медиум и област на животната средина посебно: Влијанија врз квалитетот на воздухот,Бучава и вибрации,Создавање на различни типови отпад и управување со нив,Влијание врз почва,Влијанија врз постоечката инфраструктура,Влијанија врз квалитетот на водите,Влијание врз културно наследство,Безбедносни аспекти за работниците во сите фази на проектот,Безбедносни аспекти за жителите во околината на проектот во сите фази на проектот, Кумулативни ефекти и Социо-економски аспекти.

Соодветно на влијанијата, односно на причините кои придонесуваат овој Проект да има потенцијални негативни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување/ублажување на овие негативни влијанија (Поглавје 6).

Во *фазата на проектирање* при подготовка на основниот проект имплементирано е националното законодавство и подзаконските акти за правилно димензионирање на бројот и тип на светилка минимизирајќи го влијанието врз животната средина и примена на мерки за заштита како на работниците, така и на населението во сите фази на проектот. Проектантите треба да ги земат во предвид прелиминарните насоки за проектотза реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба и предложените мерки за да се избегнат, намалат или ублажат влијанијата на проектот врз врз животната средина.

Во *фазата на градба/демонтажа*разгледувани се влијанијата врз животната средина при изведување на следните активности:

- Подготвителни работи, теренски преглед на подземните инсталации, електрична опрема и светилики,
- Демонтажа/Отстранување на постојните светилки,
- Активности поврзани со организирање на демонтажа на светилките (дигалки, скали, и друга заштитна опрема),
- Обележување и осигурување на теренот,
- Организирање на транспорт на елетрична опрема и стари светилки,
- Поставување на конструктивните елементи, градежно монтажни работи, механизација, итн.

- Армирано бетонски работи наменети за изградба на фундементи за столбови и ормарчиња (ископи за инфраструктурна инсталација, громобранска инсталација и др.),
- Завршни работи и расчистување на просторот околу столбовите и електричната опрема,
- Правилно управување со создадениот отпад и негово редовно превземање и финално одложување.

Во *оперативната фаза* разгледувани се влијанијата при:

- Функционирањето на јавното осветлување,
- Редовното одржување на исправноста насистемот најавното осветлување,
- Безбедносни аспекти.

Земајќи ја предвид потенцијалната врска помеѓу активностите на проектот и различните социо-економски аспекти и аспектите на животната средина, прво се идентификуваат елементите кои најмногу би биле изложени на влијанија. Потоа се оценува влијанието со помош на неколку критериуми: а)вид на влијание,б)реверзибилност, в)значење, г)големина, е)времетраење на влијание, ѓ)веројатноста на појава, е)степен/ локација каде ќе се случи влијанието и ж)времето на настанување.Сите критериуми што се користат за време на оцена на влијанието врз процесот се дадени во следната табела 1.

Табела 1. Критериуми за оценка на влијанија

| **Критериуми за оценка на влијанија** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на влијанието** | Позитивно **(+)** | Негативно (-) | |
| **Тип на влијанието** | Директно | Индиректно | Кумулативно |
| **Јачина** | Голема | Средна | Мала |
| **Опсег /Локација на влијанието** | Површина | Волумен | Дисперзија |
| **Време на појавување на влијанието** | Веднаш | Одложено | |
| **Времетраење на влијанието** | Краткорочно | Среднорочно | Долгорочно |
| **Реверзибилност / Иреверзибилност** | Повратно | Неповратно | |
| **Веројатност на појавување** | Сигурно | Можно | Невозможно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Важност** | Локална/Регионална | Национална | Прекугранична/ глобална |

**Табела 2 Леополд матрица – Идентификација на потенцијалните интеракции помеѓу проектните активности/ефекти и елементите на животната средина во фаза на градба, оперативна фаза и фаза на престанок со работа**

| Проектна фаза | *ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ/ЕФЕКТИ* | *Физичка / Природна средина* | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ...астителен свет и аукостики | ...амјштето | ...набдување со енергија | ...очви – количини, влажност, | ...табилност или еросија | ...лима и глобално затоплување | ...валитет на воздух | ...валитет на вода | ...загадување на почви | ...нертен отпад (градба) | ...азлични струи на отпад | ...учава и вибрации | ...ектронска опрема |
| | **Подготвителни работи, теренски преглед на подземните инсталации, електрична опрема и светилики** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Демонтажа/Отстранување на постојните светилки** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Обележување и осигурување на теренот** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Активности поврзани со организирање на демонтажа на светилките (дигалки, скали, и друга заштитна опрема)** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Организирање на транспорт на елетрична опрема и стари светилки** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Поставување на конструктивните елементи, градежно монтажни работи, механизација, итн.** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Армирано бетонски работи наменети за изградба на фундементи за столбови и ормарчиња (ископи за инфраструктурна инсталација, громобранска инсталација и др.),** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Завршни работи и расчистување на просторот околу столбовите и електричната опрема** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Правилно управување со создадениот отпад негово редовно превземање и финал одложување** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Функционирањето на системот на јавно осветлување** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Редовното одржување на исправноста насистемот на јавното осветлување** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Безбедносни аспекти** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Правилно управување со создадениот отпад и негово редовно превземање** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Демонтажа на сите инсталации и вградената опрема** | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Одделување на опасен од неопасен отпад** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | **Транспорт на демонтираните елементи до одредена локација** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

***Влијанија врз квалитетот на воздухот***

- Фаза на градба

Во фазата на градба емисиите во воздухот ќе се јават како резултат на емисија на прашина и издувни гасови од градежната механизација, при копање на канали за поставување на кабли (ровокопачи, булдожери и багери, камиони и цистерни). Емисиите на $SO_2$, NOx, CO, VOC ќе бидат присутни за време на работа на механизацијата, од што ќе биде засегнато локалното население. Прашината која ќе се генерира за време на поставување на фундаменти на столбови и канали за кабли ќе биде резултат на земјените работи и активностите за припрема на теренот и расчистување на постоечките објекти, инсталации, дрвја во опфатот, а особено при ископ на јамата и транспорт на земјен материјал. Друг извор на прашина се очекува да биде движењето на возилата и механизацијата кои ќе транспортираат градежни материјали и опрема до градилиштето, но сепак обемот на таа прашина се очекува да биде мал. Ефектите од овие влијанија ќе бидат од локално и среднорочно значење, но ќе го засегаат најмногу населението кое живее во непосредната околина на предметната локација.

Како извор на емисии во воздухот ќе претставува сообраќајот бидејќи проектната локација се наоѓа во густо населено урбано подрачје, во близина на главни улици и булевари. Емисиите во воздухот од возилата најчесто се генерираат при нарушувања во сообраќајот како и за време на сообраќајните метежи.

*Влијанието врз воздухот во фазата на градбае проценето како времено негативно влијание со многу мала јачина.*

- Оперативна фаза

Имајќи ја предвид намената на проектот за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба, во оваа фаза не се очекуваат значителни негативни влијанија на квалитетот на воздухот, бидејќи бројот на возила кои ќе бидат во функција ќе биде 4-5 возила што значи дека емисиите на загадувачки материи во воздухот кои се

создаваат при согорување на фосилните горива од моторите со внатрешно согорување на возилата ќе биде во мал обем.

Во случај на поголемо искористување на возила за да се ублажат овие влијанија, од страна на експертскиот тим предложени се мерки за ублажување на влијанијата согласно националното законодавство.

*Влијанието врз воздухот е проценето како долгорочно негативно влијание со мала јачина и локално значење.*

***Бучава и вибрации***

- Фаза на градба

Проектот за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба не е поврзан со голем број на активности кои ќе создаваат бучава. Бучавата ќе се генерира од товарните возила, механизацијата, опремата која ќе се користи.

Бучавата од активностите на локацијата на проектот нема да биде биде долготрајна, а нивоата ќе варираат и ќе имаат зголемен интензитет во текот на работата на моторите на возилата, односно бучавата ќе биде нерамномерна и испрекината, со максимални вредности во текот на ангажираноста на градежните машини при ископите за фундамент и канали за кабли.

Активностите ќе се изведуваат во густо населено урбано и рурално подрачје се очекува населението кое живее во околината да бидат директно засегнати од зголемената бучава, чиј интензитет ќе биде променлив, но сепак со повисоки вредности од максимално дозволените согласно Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл. Весник на РМ бр.147/08).

Подрачјето на кое ќе се изведува проектотза реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба спаѓа во подрачје од II степен на заштита од бучава, односно станбен реон, околина на објекти наменети за воспитна и образовна дејност, објекти за социјална заштита, објекти за примарна здраствена заштита; игралишта, јавни паркови, јавни зеленила и локални паркови, каде граничните вредности за индикаторите за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори кои во ова подрачје не треба да бидат повисоки од $L_d$= 55 dB, $L_e$= 55dB и $L_n$= 45 dB.

Влијанијата врз работниците кои ќе бидат ангажирани во фазата на градба не се очекува да бидат значителни, бидејќи тие ќе бидат изложени на не многу високи нивоа на бучава за време реализација на проектот. Сообраќајниот метеж кој ќе се предизвика од интензивното присуство и манипулацијата со дигалки, градежните и транспортните машини во текот на реализација на

проектот и ќе предизвика зголемување на интензитетот на амбиентната бучава, но доколку се следат предложените мерки нема да се јават поголеми застои и правилно ќе се регулира сообраќајот согласно создадените услови на терен.

- Оперативна фаза

За време на користењето на системот за јавно осветлување не се очекува високо ниво на бучава, така што в*лијанието од бучава и вибрации е проценето како негативно влијание со многу ниска јачина, кое ќе биде краткорочно и во фазата на градба и оперативната фаза.*

***Влијанија врз квалитетот на водите***

- Фаза на градба

*Влијанието врз водата во фазата на градба е проценето како времено негативно влијание со многу мала јачина.*

- Оперативна фаза

**Влијанието врз водата во Оперативна фаза на градба е проценето како времено негативно влијание со многу мала јачина.**

***Создавање на различни типови отпад и управување со нив***

- Фаза на градба

Во фазата на реализација на проектотза реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба ќе бидат потенцијално генерирани следните видови на отпад: Метал (железо, алуминиум, бакар и др.), Стакло, Инертен отпад, бетон и друго, Отпад од пакување, Остатоци од подземни инсталации, Комунален отпад од работниците на градилиштето, Отпад од електрична и електронска опрема, и слично.

При расчистување на проектната локација од постоечките објекти и инсталации се очекува појава на отпаден бетон, дрво, стакло, пластика, метали и друг отпад од рушење. Исто така, при сечење и отстранување на асфалтот, ќе се создаде отпад кој ќе се транспортира на депонија. Вишокот од ископана земја која неможе да се искористи ќе биде превземена и транспортирана со камиони до депонија. Несоодветното депонирање на вишокот на земја и градежниот отпад може да има негативен визуелен ефект на локацијата кадешто е одложен. Техничкото одржување на градежната механизација и другите возила нема да се спроведува во рамките на градежната локација.

Земјените работи може да предизвикаат ниско до *средно негативно влијание* од локално значење, бидејќи се очекува да биде ископана, транспортирана и одложена мала количина на земја.

Несоодветното управување со течниот отпад од возилата, механизацијатаи при нанесување на анти корозивна заштита на поставените

цевки, исто така може да предизвика големо негативно влијание врз медиумите на животната средина.

Отпадот создаден од работниците кој главно се очекува да биде комунален отпад, отпад од пакување и биоразградлив отпад, ќе биде собран во означени садови за отпад и потоа соодветно предаден на овластени собирачи за секој вид посебно.

Управувањето со сите фракции на отпад треба да се врши во согласност со законската регулатива за отпад за секоја категорија на отпад посебно, имајќи предвид дека некои од фракциите можат да се рециклираат (метали, хартија, стакло) или повторно употребат (земја, исечоци од јажиња). Инертниот отпад ќе се носи на посебна депонија за инертен отпад назначена од Општината, додека комуналниот отпад и другиот неопасен отпад ќе се превзема од страна на овластена компанија со која Инвеститорот ќе склучи Договор за негово превземање и транспорт до депонија.

- Оперативна фаза

*Влијанието од отпадот е проценето како негативно влијание со ниска јачина и локално значење.*

***Влијание врз почва***

- Фаза на градба

Активностите на на проектотза реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Гази Баба нема директно да го наруши квалитетот на почвата и да се одразат на промена на специфичните геолошки карактеристики,а вишокот на земја ќе се утоварува и носи на депонија.

Почвата потенцијално може да се загади и од несоодветно складирање, ракување и постапување со создадениот отпад од демонтираните светилки, како и од потенцијално излевање на гориво, масла, лубриканти и сл.за време на активностите на изградба.

*Влијанието на загадувањето на почвата во фазата на градба е оценето како негативно со многу ниска јачина и од времен карактер.*

- Оперативна фаза

Во оваа фаза не се очекуваат значителни влијанија врз почвата.

***Безбедносни аспекти за граѓаните***

- Фаза на градба

Од безбедносен аспект, при демонтажа и монтажа на светилки и поставување на подземни и надземни водови, како и електрична опрема ќе претставуваат потенцијална опасност за граѓаните од општината и посетителите на овој дел

од градот. За да се избегнат негативните влијанија за граѓаните во оваа фаза ќе бидат предложени мерки кои ќе треба задолжително да се почитуваат.

- Оперативна фаза

И во оваа фаза од страна на операторот на системот за јавгно осветлување е потребно да се преземат мерки и активности во насока на безбедност кон граѓаните кои се во близина нан столбовите и подземните и надземни водови.

Позитивни кумулативни ефекти се очекуваат во социо – економскиот развој на Општина Гази Баба преку намалени кражби, зголмена безбедност во вечерните часови, поголема раздвиженост на населението и поголема комуникација на граѓаните, како и обезбедување на можност за нови вработувања особено во фазата на градба.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПРОЕКТОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### *Мерки за ублажување на влијанијата во фазата на проектирање*

- Фаза на проектирање

Со цел навремена идентификација на негативните влијанија врз животната средина потребно е спроведување на постапка за Оценка на влијанието на проектот врз медиумите на животната средина, односно подготовка на Студија за ОВЖС/Елаборат за заштита на животната средина од страна на Инвеститорот.

### *Мерки за ублажување на негативните влијанија врз воздухот*

- Фаза на градба

Пред почетокот на изведување на градежните активности, задолжително треба да се подготви План за управување со градежни активности за правилно планирање на градежните работи во густо населеното урбано подрачје со примена на добра градежна практика. Исто така неопходна е и подготовка на План за управување со сообраќајот заради непречено одвивање на сообраќајот од и кон градежната локација како и на самата локација, особено при изведување на градежните активности бидејќи во непосредна близина се наоѓаат прометни сообраќајници и раскрсници, како и јавни објекти идентификувани какоосетливи рецептори.

Особено е значајно да се нагласи дека активностите ќе се одвиваат во густо населено урбано подрачје што воедно наметнува и строги критериуми при изведбените градежни активности кои подразбираат: ограничување на брзината на движење на градежните возила, обезбедување на рестриктивно движење на возилата, прскање на градилиштето со вода за да се намали емисијата од прашина, добро оддржување и покривање на возилата кои доставуваат градежен материјал заради ублажување на емисијата и дисперзијата на загадувачки супстанции, забрана за градба во ноќните часови (градежни активности само во текот на денот) и особено внимание да се обрне при изведување на градежни активности во непосредна близина на осетливите рецептори (здравствени и образовни објекти, верски објекти и сл.) во однос на ублажување и минимизирање на влијанијата; користење на опрема која не емитува високи емисии на издувни гасови и создава пониска бучава, одржување на возилата и градежната механизација и обезбедување на заштитни мерки во однос на безбедност и здравје при работа на работниците на градилиштето.

- Оперативна фаза
  - Поради ниското влијание нема посебни мерки освен да се почитуваат барањата кои се пропишани согласно нормативите за технички стандарди за електична опрема.

- Мерки за ублажување на негативните влијанија врз водите

➢ Фаза на градба

Пред изведување на активности за демонтажа на постојни светилки и поставување на нови, како и подземни и надземни напојни кабли и друга електрична опрема во функција на јавносто осветлување, задолжително е отстранување, соодветно постапување и времено складирање на одредена локација напостоечките подземни инсталации во координација со одговорните лица од компаниите кои ги поставиле истите. Пред изведување на градежните активности задолжителна е примена на добра градежна практика за да се спречи седиментација на природните дренажни патеки.

При подготовка на евентуални градежнијами за одлагање на отпад, особено да се обрне внимание на специфичните геолошки карактеристики на теренот, поради можноста за промена на режимот на подземните води.

1. Отпадот кој ќе се создава во оваа фаза потребно е да се складира, навремено превзема и транспортира до депонија од страна на овластена компанија за секој вид на отпад согласно националното законодавство, заради избегнување на загадување на подземните води и почвата.

➢ Оперативна фаза

Поради ниското влијание нема посебни мерки освен да се почитуваат барањата кои се пропишани согласно нормативите за технички стандарди за електична опрема.

2. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз почвите

➢ Фаза на градба

При изведување на активности за демонтажа на постојни светилки и поставување на нови, како и подземни и надземни напојни кабли и друга електрична опрема во функција на јавното осветлување за да се заштити почвата од потенцијалните негативни влијанија, потребно е да се направи рестрикција на движењето на тешки возила и употреба на механизација која врши помал притисок на површината на градежната локација. Во оваа фаза неопходна е примена на добра градежна пракса при изведување на градежните работи, за да се елиминираат влијанијата врз почвата, а особено од истекувањата од градежната механизација што за овој проект нема некое значење бидејќи возилата немаат тежина.

Посебно внимание треба да се обрне при отстранувањето на хумусниот слој, бидејќи не е препорачливо истиот да се меша со останатата почва од ископот. Хумусниот слој треба да се отстрани и подоцна да се употреби при хортикултурното уредување на предметниот опфат.

***Мерки за ублажување на негативните влијанија од отпадот***

Мерките за ублажување на негативните влијанија од создадениот отпад врз животната средина во сите фази на проектот, подразбираат имплементирање на националното законодавство за управување со отпад и негово финално одложување на депонија.

- Фаза на градба

Отпадот кој ќе се создаде при изведувањена активности за демонтажа на постојни светилки и поставување на нови, како и подземни и надземни напојни кабли и друга електрична опрема во функција на јавното осветлување во најголема мера ќе биде составен од стари и дотраени светилки, канделабри, кабли, и друга електрична опрема, остатоци од подземни инсталации,инертен отпад (градежен шут), отпад од пакувања на нови светилки и електрична опрема како елетричен отпад.

Истиот треба да биде собран во посебно означени садови за секој вид на отпад на соодветна локација, а потоа превземен од страна на овластен постапувач за секој вид на отпад.

Вишокот земја која ќе се генерира при ископ на градежната јама,ќе се носи на депонија. Горниот хумусен слој се препорачува да се складира привремено на одредена локација, а подоцна да се искористи при хортикултурното. Отпадот од пакување од материјалите кои ќе се користат во оваа фаза треба да се селектира во зависност од неговиот состав (картон, хартија, пластика, метал), на локација во рамки на градежната површина, заштитена од надворешни влијанија. Истиот треба да биде превземен од страна на компанија која е овластена за постапување со отпад од пакување. Пакувањето од пластика од моторните масла, лубриканти, гориво, бои и сл. претставува опасен отпад и се препорачува негово привремено складирање на посебно означено место на водонепропусна подлога во специјално означен сад за опасен отпад се до негово превземање од страна на компанија овластена за постапување со опасен отпад со која Изведувачот има склучено договор за превземање.

Количината на создадениот отпад во оваа фаза инвеститорот треба да ја евидентира и документира, и да постапува со секоја фракција на отпад во согласност со националното законодавство.

- Оперативна фаза

При функционирање на системот на јавно осветлување не се очекуваат негативни влијанија на отпадот, бидејќи нема да има количини на отпад кои значително ќе имаат влијание.

***Мерки за ублажување на негативните влијанија предизвикани од бучава и вибрации***

- Фаза на градба

Пред почетокот на градежната фаза, задолжително треба да се информира локалното население и сопствениците на комерцијалните објекти за времетраењето и интензитетот на активности од страна. За сите подетални информации, граѓаните ќе може да ги контактираат одговорните лица кои ќе бидат назначени на огласна табла поставена на локација, од компанијата Изведувач и Надзор каде ќе се врши изведување на активности за демонтажа на постојни светилки и поставување на нови, како и подземни и надземни напојни кабли и друга електрична опрема во функција на јавното осветлување .

Задолжителна е примена на лични заштитни средства и слушалки/тампони од страна на работниците кои ќе работат на градилиштето заради ублажување на влијанието од зголемената бучава.

- Оперативна фаза

При функционирање на системот на јавно осветлување не се очекуваат негативни влијанија негативните влијанија предизвикани од бучава и вибрации.

***Мерки за ублажување на негативните влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците и населението***

***Пред започнување на изведување на активности за демонтажа на постојни светилки и поставување на нови, како и подземни и надземни напојни кабли и друга електрична опрема во функција на јавното осветлување, неопходно е Општина да го запознае и извести околното население за Проектот и временскиот период на негово спроведување, како и да одржува редовни средби и навремено да го информира за сите тековни активности, режим на сообраќај и овозможување на непречен пристап до домовите на граѓаните и одредување на простор за паркирање на нивните возила.***

Исто така, Општина треба да одржува редовни координативни средби за динамиката на изведување на активности за демонтажа на постојни светилки и поставување на нови, како и подземни и надземни напојни кабли и друга електрична опрема во функција на јавното осветлување, воведување на посебен режим на сообраќај на тој дел од градот.

- Фаза на градба

Мерките за намалување и ублажување на негативните влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците и населението се мерки кои се однесуваат на намалување на можноста за евентуални повреди на работното место, заштита од емисијата на издувни гасови како и заштита од појава на зголемена бучава од градежната механизација и од возилата за транспорт на опремата и

материјалите, заштита од сообраќајни незгоди предизвикани од зголемената фрекфенција на транспортните возила.

Следните мерки е потребно Изведувачот да ги превземе со цел да се минимизираат можностите од евентуалните повреди согласно законските барања од областа на здравје и заштита при работа:

- Оградување и соодветно обележување на локацијата;
- Поставување на Информативна табла на проектната локација со генерални податоци за проектот, Изведувачот и Надзорното лице;
- Влезот за невработени лица во рамките на градилиштата е забранет;
- Задолжителна примена на здравствени и безбедносни мерки: користење на заштитен елек, заштитна облека и опрема од страна на вработените, знаци за предупредување на јавноста околу градежната локација; задолжително присуство на опрема за прва помош и медицински услуги на градежната локација и слично;
- Подготовка на Елаборат за против пожарна заштита на градилиштето;
- Ракувањето со градежната механизација и опрема треба да го врши искусен и обучен кадар, со цел намалување на ризикот од несреќи;
- Задолжително е постојано присуство на против пожарни уреди во случај на пожар или други оштетувања;
- Сите работници мора да бидат запознати со опасностите од пожар и мора да ги применуваат мерките за заштита од пожари (треба да бидат оспособени за ракување со противпожарни апарати, хидранти и други уреди кои се користат за гасење пожари);
- За времетраење на градежните активности треба да се обезбеди лесен пристап на граѓаните до своите домови, или до комерцијалните објекти;
- Поставување на знаци за ограничување на брзината со која се движат возилата во близина на проектната локација;
- Обезбедување на ленти и знаци за предупредување за градежната локација;

➢ Оперативна фаза

При функционирање на системот на јавно осветлување не се очекуваат негативни влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците и населението.

Напомена: Табелите од точка 3 (табела 1, 2, 3, 4, 5 и 6), како и мерките за ублажување од точка 4 се индикативно дадени и соодветствуваат за секој инфраструктурен проект, кој делумно се насочени за проектот за реконструкција на јавното осветлување, пришто при изработка на Елаборатот за влијание врз животната средина заедно со експертите за јавно осветлување е потребно да се прилагодаат со мерки и активности кои евентулано не се опфатени во овој документ, а се идентификувани од страна на експертите за јавно осветлување на приватниот партнер карактер кој има одредено влијание

врз животната средина, особено при одлагањето, пакувањето и складирањето на старите демонторани светилки.

# 5. Правна анализа

## I.1. Правна основа

За да се утврди правниот основ и процедурата за равивање и реализација на проектот е потребно да се дефинира начинот на реализација на проектот, кој врз основа на поставените барања од менаџментот на општината, висината на финансиските средства и поставените рокови може да се реализира на два начина, односно две варијанти и тоа:

- **Варијанта 1:** Воспоставување на договор за ЈПП по ESCO модел за финансирање, управување и одржување со предметот на проектот, и
- **Варијанта 2:** Корпоративно финансирање на проектот врз основа на Договор за набавка на предметот на проектот и исплата на 36 месеци.

Правната основа за реализација на проектот со двете варијанти се базира на Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 140/14, 33/15 и 104/15), Закон за енергетска ефијасност (бр.32/2020 година) и Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019).

Во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство се донесени и подзаконските акти, односно следниве задолжителни уредби кои е потребно во целост да се почитуваат, а се однесуваат на:

- Формата и содржината на извештајот за незавршена постапка, за секоја започната, но незавршена постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, органот надлежен за спроведување на предметниот договор изготвува писмен извештај кој го доставува до Министерството за економија,
- Формата и содржината на образецот со приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа, во "Службен весник на Република Македонија" задолжително објавува оглас за намерата да додели договор за работи на трети страни,
- Формата и содржината на огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- Формата, содржината и начинот на водење на регистарот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- Содржината на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, и
- Содржината на физибилити студијата за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Во таа насока почитувајќи го Законот за концесии и јавно приватно партнерство е пристапено во изработка на оваа Студија која е потребна за реализација на мерки од енергетска ефикасност со модел на ЈПП, односно за доделување на договор за ЈПП по ESCO модел за спроведување на проектот со Варијанта 1.

Исто така базирајќи се на зголемената улога на општините, која е дадена со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02), а е во насока на промоција и реализација на придобивките од енергетската ефикасност за голем дел од општините во Македонија претставува основа за иден одржлив развој.

Имено покрај другите надлежности и обврски, со Законот за локална самоуправа е пропишано дека општините се одговорни за:

- снабдување со природен гас и топлинска енергија;
- урбанистичко планирање и издавање дозволи за градба;
- **јавно осветлување;**
- заштита на животната средина;
- локален економски развој;
- одржување на локалните училишта, клиниките и владините објекти.

Значи, Општината преку одговорно работење во рамките на нејзините делегирани надлежности, може да работи на зголемување на енергетската ефикасност во училиштата, јавните здравствени институции, јавните канцеларии и другите јавни претпријатија, а особено на јавното осветлување кое е директна нејзина надлежност.

Покрај другите активности подобрување на енергетската ефикасност во урбаните средини се очекува да се оствари преку учество на македонските општини во „Повелбата на градоначалниците" којашто нуди размена на најдобрите практики, каде општина Велес има своја активна улога и партиципација.

### I.2. Опис на варијанти

**-** Варијанта 1 е воспоставување на договор за ЈПП по ESCO модел за финансирање, управување и одржување со предметот на проектот. Формата со која се обезбедуваат ефектите на ESCO (Energy service company) меѓу јавен и приватен партнер во Република Северна Македонија е Договор за ЈПП кој во суштина е бизнис модел со кој се обезбедува широк спектар на паметни енергетски решенија, вклучувајќи дизајн и имплементација на проекти за заштеда на енергија, енергетска инфраструктура, производство и дистрибуција на електрична енергија и справување со ризици. ESCO (компанијата) врши длабока анализа, дизајнира енергетски ефикасно решение, ги вградува потребните елементи и го одржува системот за време

на периодот на враќање на инвестицијата, со цел обезбедување на енергетска заштеда. Остварените заштеди обично се користат за враќање на инвестицијата или за реинвестиција во градбата за обновувања кои инаку би биле скапи, а општините можат заштедените средства да ги инвестираат во други проекти од енергетскиот сектор.

Сè започнува со избор на ESCO компанија која прави првичен преглед на енергетската услуга и на основа на извршените мерења и увид во дотогашната потрошувачка, ESCO прави проект за заштеда на енергија. Потоа ESCO ги одредува заштедите кои би се постигнале и ги претставува на корисникот. Доста чест начин на пресметување на заштедата е да се мери одреден период искористената енергија на она место што е предвидено за обновување и потоа тие резултати да се применат на стандардизирани табели. Но, овој метод не секогаш е применлив. Понекогаш потребно е да се мерат голем број на параметри, посебно ако се работи за голем проект, а понекогаш едноставно најдобар начин да се проверат заштедите е да се види состојбата на новите сметки за електрична енергија.

Во случај на јавно осветлување неопходно е да се обезбедат точни податоци за вкупно инсталираната моќност на светилките и електричната опрема, потрошувачката на електрична енергија и особено степенот на осветленост, односно квалитетот на јавното осветлување. Воедно тоа се основните мерливи индикатори за ESCO моделот за оправданост од реализација на проектот, но и негова одржливост во оперативниот период

Договорите за ЈПП за постигнување на енергетска ефикасност со ESCO моделот можат да се применуваат на низа проекти на енергетска ефикасност, а особено за јавното улично осветлување. Клучна карактеристика на овој Договор за енергетска ефикасност е заштедите да ги гарантира ESCO компанијата - доколку не се реализираат заштедите, ESCO компанијата нема да биде платена.

Имено ESCO компанијата сама ги финансира сите потребни инвестиции и превзема ризик на постигање на договорно гарантирани заштеди на енергија, со што ослободува капацитет на задолжување на јавниот сектор. ESCO компанијата и гарантира на општината дека нема да потроши повеќе единици енергија од оние што се наоѓаат во неговата оригинална сметка за енергија пред таа инвестиција затоа е важно општината да има релевантни податоци за потрошувачка на електрична енергија за последните 3 (три) години.

Воедно со Договорот за енергетска ефикасност се воведува експертиза на приватниот сектор за проектирање на проекти која помага да се осигура постигање на максимално ниво на заштеда на енергија за минимум трошоци, а ризикот на проектирањето, реализацијата и финансирањето се префрлува на ESCO компаниите.

Договорот за енергетска ефикасност е комерцијален механизам кој овозможува Структуралните фондови на ЕУ делотворно да се користат за максимизирање на изворите на средствата и да се обезбеди многу потребно кофинансирање со финансирање на комерцијалниот приватен сектор. Ова комбинирање на бесповратни средства и приватно финансирање исто така се вика „финансиски инженеринг" и ЕУ господдржува и всушност поттикнува (Уредба на Советот наЕУ (ЕС) бр. 1303/2013); и

За работа се изработува Програма со Договорот за енергетска ефикасност која нуди јасен и мерлив пат кон исполнување на барањата за целите на енергетската ефикасност според релевантните Директиви на ЕУ за енергетска ефикасност (2012/27/EU). Програмата со Договорот за енергетска ефикасност има за цел да го зголеми ангажирањето на приватниот сектор во планирањето на оптимални инвестиции во енергетската ефикасност.

-Варијанта 2 е корпоративно финансирање на проектот врз основа на Договор за набавка на предметот на проектот и исплата на 36 месеци кој ќе се спроведе врз основа на Закон за енергетска ефијасност (бр.32/2020 година) и Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019). Во оваа варијанта 2 тоа е јавна набавка на стоки или услуги, спецификација со која се дефинираат карактеристиките на производот или услугата, како што се ниво на квалитет, влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, користење на производот, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и релевантните барања за производот во однос на називот под кој се продава, терминологијата, симболите, тестирањата и методите за тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на стоките или услугите, како и постапки за оценување на сообразноста; Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk) и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/2019 и 271/19).

### I.3. Уредување на сопственичко правните односи

Правото на сопственост врз инсталациите, деловите од/на истите или опремата, која ЕСКО ќе ја инсталира или поинаку ќе ја инкорпорира во Предметниот објект на овој Договор за времетраењето на имплементацијата на МЕЕ, ќе биде пренесено без товари на Корисникот по истекот на временскиот рок на Периодот на Договорот.

Во случај за времетраењето на Периодот на гаранција ЕСКО да биде обврзан да ја инсталира опремата, инсталациите или делови од/на истите, на сопствен трошок, правото на таквите МЕЕ ќе му биде пренесено на Корисникот по верификувањето на таквите активности од страна на Договорните страни (со нивните потписи и печати на посебен документ), доколку поинаку не е уредено со применливите прописи.

Веднаш по завршувањето на сите активности на имплементација, освен пуштањето во функција, како и пред пуштањето во функција,, Договорните страни ќе спроведат заеднички технички преглед на сите МЕЕ инсталирани од страна на ЕСКО, согласно со Договорот (вклучувајќи ги и Прилозите кои се составен дел на овој Договор), за да се потврди нивната подготвеност за ставање во употреба, со тоа што тие ќе го подготват и ќе го потпишат Записникот за технички преглед („Записник за технички преглед"), а како доказ за извршениот технички преглед.

Доколку при техничкиот преглед се утврди дека МЕЕ не се во состојба соодветна за ставање во употреба, ЕСКО е должен да обезбеди соодветни услови на сопствен трошок, со поправка на недостатоците и дефектите во временски рок.

Во случај ЕСКО да не ги исполни активностите во наведениот временски рок, наведените активности ќе бидат организирани од страна на Корисникот, а ЕСКО, во таков случај, ќе биде должен да му ја надомести на Корисникот вредноста од неостварените МЕЕ за временски период додека релевантните недостатоци и дефекти се поправени, но не подолго од временски период од шест месеци, како и надоместок во корист на Корисникот за настаната штета. Во секој случај, обврската на ЕСКО за надоместок во корист на Корисникот по основ на овој член не може да го надмине износот за стварната штета што Корисникот ја претрпел.

### I.4.Начинот и условите под кој ќе се врши пренесување на објектите и опремата

Корисникот има право слободно да располага со Предметниот објект, во целост или делумно и со една или повеќе договорни страни. Во постапката за располагање со Предметниот објект, Корисникот, исто така, ги пренесува сите свои права и обврски наведени во Договорот на трето лице, во соодветна форма и со согласност од страна на ЕСКО за наведениот пренос, што се смета за дадена со потпишувањето на Договорот.
Во случај на располагање со правото кое се однесува на Предметниот објект, Корисникот ја пренесува на третото лице – Стекнувач обврската за заштита на правата на ЕСКО (авторско право, патент, трговска марка или дизајн) во согласност со закон, како и евентуалното имотно право врз определени делови, што може да се воспостави согласно овој Договор.
Корисникот има право слободно да располага со Предметниот објект, во целост или делумно и со една или повеќе договорни страни. Располагањето

со Предметниот објект од страна на Корисникот нема влијание врз правата и обврските на ЕСКО согласно Договорот.

Во случај на несогласувања помеѓу Договорните страни од техничка природа предвидени во овој Договор, конечното решавање на прашањето ќе биде упатено до експертска трета страна или, доколку е применливо, до сертифициран правен субјект, заеднички именувани од ЕСКО и од Корисникот, во рок од 15 дена од датумот на предметното несогласување. Именуваната трета страна ќе го одлучи прашањето во рок од 30 дена од датумот кога било ЕСКО и/или Корисникот го поднел барањето до третата страна за решавање на прашањето.

Донесената одлука од именуваната трета страна ќе биде конечна и обврзувачка за Договорните страни, а надоместокот за работата на третата страна за решавање на прашањето ќе биде на товар на страната која го изгубила предметот, додека трошоците за правните советници кои ги користеле било која од Договорните страни, како и трошоците кои претставуваат надоместок за работата на третата страна, се на товар на секоја од Договорните страни посебно.

Роковите за исполнување на соодветните обврски кои за Договорните страни произлегуваат согласно овој Договор ќе мируваат, односно нема да течат, од моментот кога ЕСКО и/или Корисникот го доставиле до третата страна, наведена во став 1 од овој член, барањето за решавање на прашањето, па сè до датумот кога ќе биде донесена одлуката од третата страна.

Во случај на несогласувања помеѓу Договорните страни од техничка природа предвидени во овој Договор, конечното решавање на прашањето ќе биде упатено до експертска трета страна или, доколку е применливо, до сертифициран правен субјект, заеднички именувани од ЕСКО и од Корисникот, во рок од 15 дена од датумот на предметното несогласување. Именуваната трета страна ќе го одлучи прашањето во рок од 30 дена од датумот кога било ЕСКО и/или Корисникот го поднел барањето до третата страна за решавање на прашањето.

Донесената одлука од именуваната трета страна ќе биде конечна и обврзувачка за Договорните страни, а надоместокот за работата на третата страна за решавање на прашањето ќе биде на товар на страната која го изгубила предметот, додека трошоците за правните советници кои ги користеле било која од Договорните страни, како и трошоците кои претставуваат надоместок за работата на третата страна, се на товар на секоја од Договорните страни посебно.

Роковите за исполнување на соодветните обврски кои за Договорните страни произлегуваат согласно Договорот ќе мируваат, односно нема да течат, од моментот кога ЕСКО и/или Корисникот го доставиле до третата страна, барањето за решавање на прашањето, па сè до датумот кога ќе биде донесена одлуката од третата страна.

## I.4.Начинот на верификација на постигнати резултати

ЕСКО треба да ги изврши сите активности за М&В по основ на Планот за М&В кој ќе биде дел од Понудата на ЕСКО согласно Упатството за определување на заштедите во енергијата. Планот за М&В може да се прилагоди за времетраењето на Периодот на подготовка и за времетраењето на Периодот на имплементацијата, по основ на заедничка согласност на Договорните страни.

При извршувањето на активностите за М&В, ЕСКО ќе мора да ги почитува следните основни принципи на добра практика за М&В, особено:

- Извештаите за М&В треба да бидат прецизни како што се дефинирани во Планот за М&В;
- Известувањето за енергетските заштеди и за финансиски заштеди изразени во проценти, треба да ги содржат сите резултати остварени со Проектот;
- Кога се дава мнение за неизвесни количини, процедурите за М&В треба да бидат проектирани на таков начин, со цел да се проценат и енергетските и финансиските заштеди, исклучиво доколку неизвесните количини се докажливи и поткрепени со мерење, извештаи или други соодветни документи;

Определувањето на енергетските заштеди и финансиските заштеди треба да ги одразува параметрите на перформансите на мерките, додека други помалку критични или предвидливи параметри може да се проценат;
Сите активности за М&В треба да бидат јасно и целосно обелоденети и документирани.
Извештаите за М&В ќе треба да бидат подготвени од страна на ЕСКО на секои три месеци за времетраењето на Периодот на гаранција. Тие ќе мора да бидат испратени до Корисникот најдоцна во рок од 30 дена по завршувањето на крајот на тримесечниот временски период кој ќе биде опфатен во извештајот. Ќе се почитува следната постапка за одобрување:
Извештајот ќе мора да биде одобрен од страна на Корисникот најдоцна 15 дена по приемот на истиот;
Доколку Корисникот поднесе приговор на заклучокот во однос на извештајот, тој ќе мора да го извести ЕСКО во рок од 15 дена по приемот на извештајот. Корисникот ќе му ги достави на ЕСКО причините за поднесените приговори;
ЕСКО, во рок од дополнителни 15 дена, по приемот на поднесените приговори од страна на Корисникот, ќе ги направи потребните исправки/измени и ќе го врати назад до Корисникот коригираниот извештај.
Мерењето ЕСКО го спроведува во присуство на Одговорно лице/овластено лице од страна на Корисникот.
Доколку Корисникот повторно не се согласи со заклучоците од извештајот за М&В, Договорните страни ќе го решаваат своето несогласување во согласност со одредбите за решавање на спорови со Договорот.

ЕСКО гарантира навремено и квалитетно извршување на градежните работи и правилно функционирање на инсталациите, делови на/од истите и на инсталираната опрема, како што е предвидено во Договорот.

За обезбедување на оперативната состојба на Предметниот објект на овој Договор, чија цел е остварување на заштеди во текот на времетраењето на периодот на Договорот, ЕСКО се обврзува да ги одржува МЕЕ инсталирани во Предметниот објект на овој Договор, во согласност со релевантните прописи и стандарди и во согласност со проектираното инсталирање и одржување на објектот, кое е составен дел од документацијата за дизајнот и кое нема да ја ограничува конкурентноста во набавката на резервните делови за МЕЕ, односно во замената на МЕЕ.

ЕСКО е должен да ја примени секоја техничка и административна и организациска мерка за времетраењето на Периодот на Договорот, за која било инсталација, делови од/на истата и опремата, заради одржување или обновување на работната состојба.

Доколку, по почнувањето на Периодот на гаранција и до истекот на Периодот на Договорот се појави недостаток во функционирањето на инсталацијата, на делови од истата и на опремата што се дел од МЕЕ, трошоците за замена и за други штети што произлегуваат од таквиот недостаток за функционирање на МЕЕ ги сноси ЕСКО.

Споредбата на измерените и верификуваните финансиски заштеди по основ на Планот за М&В и гарантираните заштеди ќе биде основа за определување дали гарантираните заштеди се остварени.
Детален опис на методологијата за тоа како ќе се пресметаат енергетските заштеди и финансиските заштеди за сите МЕЕ се дадени во Планот за М&В како што е договорено помеѓу Договорните страни во согласност со овој Договор. Формулата за пресметување вклучува метод за споредување на оперативните трошоци кои би постоеле доколку МЕЕ не би биле имплементирани ("Референтни оперативни трошоци") со оперативните трошоци по имплементацијата на МЕЕ за времетраење на Периодот на гаранција.
Основните прилагодувања за времетраењето на Периодот на гаранција овозможуваат енергетските заштеди правилно да бидат измерени во споредба со заложбите од страна на ЕСКО.
Врз основа на Планот за М&В, треба да се направат два типа на прилагодувања:

- Рутински прилагодувања - за сите фактори за управување со енергија за кои се очекува да се менуваат рутински за времетраењето на периодот за известување;
- Нерутински прилагодувања - за оние фактори за управување со енергијата за кои вообичаено не се очекува да се менуваат.

Корисникот мора да врши мониторинг на овие статички фактори за какви било неочекувани промени за времетраење на периодот за известување.

### I.5. Цели и методологија на изработка на студијата

Студијата за оправданост од воведување на енергетска ефикасност во системот на јавно осветлување во општината со Договорот за ЈПП со ESCO модел и има за цел да ја оцени изводливоста и економската и финансиската оправданост на проектот.

Оценката ќе се направи преку обезбедување на анализи, сценарија за развивање на ЈПП проектот, податоци за основните технички параметри на предметот на проектот, проценетата вредност на проектот, поширокаta економска оправданост на проектот, оцена на влијанието врз животната средина и природата и други податоци за финансиските, техничките и правните аспекти на концесијата. Како и одредување општите и специфичните бенефити кои ќе ги постигне проектот, утврдување на реалната изводливост и исплатливост на проектот од аспект на општината и атрактивноста (профитабилноста) на проектот како основа за привлекување на приватен партнер кој би го финансирал ЈПП Проектот. Главната цел на Студијата е да обезбеди услови за спроведување на проектни активности во насока на зголемување на квалитетот на јавното осветлување, намалување на трошоците за потрошувачка на електрична енергија и одржување, воспоставување на систем на контрола и автоматизација на системот на јавно осветлување. Како што беше споменато важно е и утврдување на реалната изводливост на проектот од аспект на општината и атрактивноста (профитабилноста) на проектот како основа за привлекување на приватен партнер за реализација на проектот.

*Општа цел* на проектот е заштеда на електрична енергија, подигање на енергетската ефикасност, подигање на еколошките стандарди, подигање на еколошката свест и подигање на квалитетот на живеење на граѓаните со подобрување на јавното осветлување, преку реконструкција на постојното и поставување на нови штедливи, современи, естетски и евентуално (амбиентални светилки и паметни светилки со можности за мерење на загаденост на воздуг и други параметри) во Општината.

*Додека пак специфични цели се:*

• Зголемување на квалитетот и ефикасноста во давањето на услугите кон граѓаните во
делот на јавното осветлување,

• Намалување на трошоците за јавно осветлување,

• Обезбедување на средства за нови инвестиции со заштедата на електричната енергија и трошоците за истата.

• Зголемување на опфатот, односно инвестициите во делот на јавното и уличното осветлување во општината, како во урбаните, така и во руралните средини. Ова се утврдени цели кои се очекуваат при секоја инвестиција, но со карактристики за овој специфичен проект во делот на енергетската ефикасност.

Основа за изработка на оваа Студија се податоците[1] доставени во табеларна форма за тековна состојба, инсталирана опрема и светилки на системот за јавно осветлување во Општината доставена од претставници на општинската администрација. Опис на системот на напојување на јавно осветлување со ел.енергија, Анализа на постојна инсталирана опрема, Проценка на потребните инвестиции за модернизација на јавното осветлување и други податоци и информации за развој на јавното улично осветлување се добиени од искази и објаснувања на технички лица од општината, кои во минатиот период биле ангажирани во делот на одржување на системот.

Пристапот во изработката на Студијата од методолошки аспект се базира на таканаречена

историска метода која анлизира податоци од минат период, односно податоци за состојбата на мрежата, инвестициите за тековно одржување, податоци за приходи по основ на комунална такса, податоци за трошоци за одржување, потрошувачка на електрична енергија и слично. Врз основа на овие податоци се развива проектниот концепт, предлог варијанти, препораки, како и моделите за развивање на ЈПП проектот за модернизација на уличното осветлување во општината. Секундарните извори на информации исто така се користени како историска метода на компилирање на податоците со тековните кои се добиени од повеќе извори на информации, како и официјалните информации од Завод за статистика, МЕПСО, ЕЛЕМ, ЕВН и други институции, како ЗЕЛС, МЛС, МФ и др.

Податоците за исплатени средства за потрошена електрична енергија и приходи на средства добиени по основ на комунална такса за улично осветлување, преставуват една солидна база за квалитетна изработка на кост-бенефит анализа. Во делот на воведување на современи технологии и опрема за улично осветлување се користени податоци и информации од соодветни институции и компании кои во целост ги пратат сите достигнувања од оваа област. Пред се примената на светилки со LED диоди со пониски моќности во однос на живините или натриумовите, како посовремени светилки кои имаат се поголема примена, а со многу поголеми ефекти и степен на искористување. Изработката на Студијата опфаќа три фази:

***Првата фаза*** вклучува голем број на активности кои се однесуваат на собирање, подготовка и систематизирање на податоци, како и активности кои се однесуваат на спроведување на истражување за оценување на реалните потреби од реализација на проектот. Во оваа фаза е спроведено и истражување за мислењето од потребата за ЈПП

проектот од страна на граѓаните. (Види резултати)

***Втората фаза*** се однесува на проценка на ЈПП проектот од повеќе аспекти, а на база на изработка на финансиска Cost-Benefit анализа која опфаќа споредбена анализа на трошоци за експлоатација во случај на постојното и новото решение. Пресметка на НПВ, ИРР и времето на повратокот на

[1] Податоците кои се користат во Студијата се дадени од страна на Одделението за ЕЕ и ОИЕ во општина Велес и за нивната веродостојност гаранција се лицата одговорни во Одделението за ЕЕ и ОИЕ

средствата за инвестицијата, кои се стандардни алатки и техники од чии резултати се носат инвестиционите одлуки. Анализа на алтернативи за модел на ЈПП, а особено се занимава со анализа на ЈПП проектни ризици нивна идентификација и реалокација, односно распределба меѓу јавниот и приватниот партнер.

***Третата, финална фаза*** се однесува на резултатите од финансиската Cost Benefit анализа и нивна соодветна презентација и разработка во Студијата, од која произлегуваат конкретните предлози за натамошни активности на општината и препораки за имплементација на проектот по пат на ЈПП.

Тематски и структурно Студијата се базира на барањата од Законот за концесии и ЈПП, односно уредбата за содржина на Студијата која се бара особено да содржи:

- податоци за основните технички параметри на предметот на концесијата,
- проценетата вредност на концесијата,
- поширокаta економска оправданост на концесијата,
- Проценета вредност на ЈПП проектот на база на инвестициони, оперативни и други
трошоци,
- анализа и проценка на опремата за ЈПП проектот,
- стандарди во делот на енергетска ефикасност, оперативност, мобилност и автоматизација на системот на јавно осветлување,
- оцена на влијанието на предметната концесија врз животната средина и природата
- други податоци за финансиските, техничките и правните аспекти на концесијата.

Во изработката на Студијата во целост беа почитувани законските барања за ваков тип на
Студија со цел таа да се примени во практична реализација на ЈПП проектот за модернизација на јавното осветлување на Општината.

## I.6. Определување на доброто од општ интерес

Студијата се очекува да разработи концепт со кој ќе се обезбеди решение со кое ќе се постигне највисок општ интерес и да ја оцени изводливоста и економската, а пред се во насока на зголемување на квалитетот на јавното осветлување, намалување на трошоците за потрошувачка на електрична енергија и одржување, воспоставување на систем на контрола и автоматизација на системот на јавно осветлување. Овие цели ќе се постигнат преку инвестиции во замена на светилките и ефикасно одржување, но со квалитетно проектирање на сите фази и современо менаџирање и оперирање со системот на јавно осветлување. Користејќи современи технологии се обезбедува системот да функционира со висок степен на контрола, автоматика и се поедноставува одржувањето со што реално се даваат поголеми и поквалитетни услуги кон граѓаните. Потребните инвестиции и временската рамка на нивна реализација, како и дирекните

финансиски користи од реализација на проектот се исто така важни специфични цели кои ги дава студијата. На овој начин во целост се обезбедува сигурност во носењето на одлуки и градење на развоен проектен концепт за реализација на проектот. Од претходно дефинираните општи и специфични цели како што беше веќе кажано е утврден предметот на проектот/потфатот кој претставува воведување на енергетска ефикасност, преку проектирање, финансирање, изградба и одржување на модернизиран систем на јавно осветлување во Општината со примена на современа технологија на автоматизација, управување и поставување на штедливи светилки.
Како дополнителен заеднички резултат од Студијата, а по спроведување на активностите дефинирани во Студијата, покрај погоре наведените резултати се очекува и:

- Подобрување на условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови,
- Зголемување на безбедноста во Општината,
- Подобрување на естетскот изглед на сите подрачја на територија на цела Општина,
- Модернизација на Општината.

Имајќи ја во предвид целта на реконструкцијата и модернизацијата на јавното осветлување во Општината, може да се каже дека освен горенаведените резултати може да се идентификуваат и други кои исто така би имале значајно место и би биле производ од целосната реализација на проектот.

### I.7. Управување со предметот на договорот за ЈПП со ESCO модел

Од аспект на управувањето главен услов е ЕСКО да го прифаќа ризикот за остварување на финансиски заштеди, по основ на анализи кои се дадени во студијата, а кои може да се проверат на база на пресметки.

ЕСКО е должен да води дневници на активности за времетраењето на двата периоди: Период на подготовка и Период на имплементацијата. Дневникот на активности за времетраењето на Периодот на подготовка и Дневникот на активности за времетраењето на Периодот на имплементацијата мора да се достапни за секое Овластено лице на Договорните страни за времетраењето на севкупниот Период на Договорот. Извршувањето на подготвителните активности за времетраењето на Периодот на подготовка од страна на ЕСКО, како и извршувањето на активностите за имплементација за времетраењето на Периодот на имплементацијата, се смета за потврдено кога Овластеното лице на Корисникот ќе го верификува Дневникот на активности за Периодот на подготовка, како и Дневникот на активности за Периодот на имплементацијата.

Дневникот на активности за времетраењето на Периодот на подготовка може да се верификува со потпис од Договорните страни, само доколку сите

подготвителни активности предвидени со овој Договор се извршени од страна на ЕСКО, односно Дневникот на активности за времетраењето на Периодот на имплементацијата може да се верификува со потпис од Договорните страни, само доколку сите активности за имплементација предвидени со овој Договор се извршени од страна на ЕСКО.

### I.8. Идентификација на слабости и нивна елиминација и намалување

Слабости кои може да допринесат за намалување на успешноста на проектот се следниве:

- Недоволна транспарентност во постапката,
- Недоволна промоција на проектот со цел да се намали конкурентноста,
- Некавлитетна тендерска документација и техничка спецификација,
- Неквалитетен Договор за ЈПП со ЕСКО модел,
- Несоодветна понуда,
- Неквалитетен мониторин и следење на индикатори на успешност на договорот,
- и други елементи кои се анализирани во матрицата на ризици.

За да има спротивност на претходно кажаното е потребно да се обезбеди висока транспарентност на процесот, квалитена примена на Студијата и законите, квалитетен и усогласен договор со сите елементи од уредбата и синергија со приватниот партнер во оперативниот период на проектот.

### I.9. Општествени, политички и други прашања

Има голем број на прашања кои се поврзани со проектот и тоа од повеќе аспекти како општествени и институционални, политички, технички, финансиски, влијание врз животна средина и други. Во Физибилити Студијата се направени анализи за сите овие прашања многу длабински и сеопфатно. Техничката изводливост на проектот е основа за да се развие проектот во сите фази, односно да се обезбедат финансии и модел на управување. Додека останатите прашања од аспект на таканаречени општестевени или социјални или институционални какои политичките прашања се од аспект на деловно опкружување, политичка стабилност почитување на законската регулатива и слично. ЈПП проектот е потребно да промовира пред граѓаните, пред инвеститорите со цел да биде прифатен и од едните и од другите. Политичките прашања се од сличен карактер како и сите останати Договори кои се потпишуваат особено Договорите за воспоставување на ЈПП. Имено важно е да во целиот процес се почитуваат принципите на јавност и транспарентност во сите фази на ЈПП проектниот циклус. Политичкото влијание врз ЈПП проектот ќе се елеминира бидејќи се обезбедува висок степен на конкурентна постапка со што се елиминира политичкиот фактор на влијание. На овој начин се намалува влијанието врз

носењето на одлуки на поединци или одредени политички влијанија во сите фази на ЈПП проектниот циклус. Во оперативниот период на ЈПП проектот се обезбедува сигурност поради обврската на одредени органи на управа и надлежни инспекциски органи (технички и финансиски) селосно да го имаат ЈПП проектот на увид и контрола со што се намалуваат можностите за негативни општестевени, политички и други институционални влијанија.

### I.10. Прашања поврзани со надзорот и контролата

Поради спецификите на проектот од аспект на финасиска и техничка изводливост и одржливост на ЈПП проектот е подлежен на надзор и контрола од повеќе аспекти. Надзорот и контролата од страна на општината се врши од аспект на постигнувања на ефекти во делот на квалитет на услуга кон граѓаните и верификација на постигнати резултати во делот на енергетски и финансиски и економски резултати. Исто така надзорот и контролата од страна официјални надзорни државни органи во чија надлежност се надзорот и контролата од финасиски и технички аспект особено техничка инспекција во делот на спроведување на периодични прегледи на исправност на опремата. Материјално финасиското работење е опсервација на органи и инспекции кои се надлежни и важат и за други правни субјети или економски оператори кои имаат економски активности и вршат дејности од јавен интерес. Важно е да се напомене дека увид над материјално финансиското работење на операторот во целост треба да и општината со цел да се направат конечни и валидни пресметки за исплатата на концесискит надоместок.
Завршните сметки на операторот треба да бидат јавни и достапни и да бидат изработени од официјални куки за водење на книговодствено финасиски извештаи, а општината во секој момент треба да може да ангажира независна ревизорска куќа која независно од државните органи же направи увид на состојбата во делот на материјално финасиските резултати и показатели. Конкретно за вршење на надзор над изведувањето на активностите, поврзани со Објектите на ЈПП проектот, Општина ќе именуваат Надзорен орган (Комисија за следење по завршување на проектот), преку јавна набавка на стручен надзорен орган. Надзорниот орган во вршењето на надзорот е должен да:

- врши проверка дали изведувачот на активностите, има соодветна лиценца за изведување на Градежните работи или друг вид на активност што е предмет на овој Договор;
- врши проверка дали изградбата се врши согласно со одобрението за градење, проектите и другите услови утврдени со овој Договор, важечки прописи за градење;
- врши проверка дали изведувачот или друг вид на активност, се придржува кон договорените рокови;
- врши проверка на квалитетот на извршените работи и на количината и видот на вградениот материјал, технологија и сл;

- врши појаснување на техничката документација и да го запознае изведувачот за сите недостатоци, односно неправилности кои ќе ги воочи во текот на изградбата или монтажата и истите да ги забележи во градежен дневник.
- состави завршен извештај за извршениот надзор, и
- се што е потребно согласно законската регулатива за вешење на надзор.

Корисникот ќе го дозволи ставање во употреба на МЕЕ, исклучиво по нивното комплетирање и по отстранувањето на сите недостатоци и дефекти, а како доказ за тоа е потписот на Корисникот во/на Записникот од технички преглед.

За да се исклучи каков било сомнеж, почетокот на Периодот на гаранција не може да започне сè додека:

- ставањето во употреба не е уредно комплетирано,
- сите недостатоци и дефекти во МЕЕ утврдени за време на ставањето во употреба не се елиминирани (доколку ги има),
- одобрението за употреба, доколку е потребно согласно со важечките прописи, не е добиено и сè додека истото не стане конечно, и
- Договорните страни не го верификуваат Дневникот на активности за Периодот на имплементацијата.

Особено е потребно да се утврдат сите активности поврзани со имплементацијата на Планот за Мерење & Верификација сите активности поврзани со имплементацијата на Планот за Мерење & Верификација.

## II. Анализа и управување на проектните ризици

### II. 1 Општо за ризиците

Постојат голем број на ризици при реализација на било кој инфраструктурен објект или капитална инвестиција, а ризиците се поголеми кога се работи во соработка и финансирање со модели на ЈПП. Затоа е потребно нивна идентификација и анализа, дали е можно да ги управуваме или намалиме или реалоцираме. Во текстот подолу ризиците се идентификувани и проценка е дека правно и технички се решливи, а ЈПП-проектот е изводлив и одржлив.

**Видови на ризици**

Поаѓајќи од дефиницијата за поимот „ризик", кој претставува „ситуација со позната веројатност дека ќе се случи" или поимот „несигурност" кој претставува „ситуација на непозната веројатност дека настанот ќе се случи", во пракса овие два поими се однесуваат на проблемите со коишто се соочуваат чинителите на проектот: финансиер-донатор, кофинансиер, инвеститор, проектант, изведувач, добавувач и надзорен орган-мониторинг.

Врз основа на фазите на ЈПП проектниот циклус, ризиците се класифицирани во следниве групи:

- Политички рзици,

- Правни ризици (процедури, договори и сл.),
- Комерцијално/финансиски ризици,
- Ризци во делот на животната средина,
- Ризици од виша силари и други факт во зависност од специфичноста на ЈПП-проектот.

Елементарните ризици, пак се содржани во самите елементи на проектот,

кои се алоцираат и контролираат во внатрешните фази од ЈПП проектот.

Основни ризици од оваа група се:

- дизајн/проект/техничка документација и развојни ризици,
- ризици при градба,
- оперативни ризици,
- ризици на приходи,
- финансиски ризици,
- ризик при избор на приватен партнер,
- договорен ризик,
- ризик од неприфаќење на ЈПП-проектот од јавноста,
- ризик од одржливост на ЈПП-проектот, и
- ризик произлезен од влијанитето на ЈПП-проектот врз животната средина.

Секоја група на ризици има своја специфичност, потекнува од најразличен извор и различно влијае на самиот ЈПП-проект.

Во текстот подолу се анализирани сите видови на ризици со што има целосна слика на сите дефинирани ризици дадени во оваа точка, а ризиците кои се наведени во оваа фаза можеби и нема да постојат во следните развојни фази.

- **Проценка на степен на ризик, реалокација и намалување на ризик**

За ЈПП проектот е констатирано дека постојат и се идентификувани ризици во оваа фаза во целост можат да се менаџираат од страна на општината, односно да се намалат или воопшто да не постојат, имајќи предвид дека во реализацијата на ЈПП-проектот, општината:

(1) целосна примена на законот за Концесии и ЈПП,

(2) го склучува Договорот со приватниот партнер за ЈПП-проектот,

(3) врши надзор над изведените работи,

(4) врши технички прием на објектите, и

(5) издава употребна дозвола на објектите.

Во следната точка се дадени ризиците, групите, алокацијата и распределбата, односно одговорноста меѓу јавниот и приватниот партнер во спроведување на ЈПП-проектот.

Консултантот или општината која ќе ги спроведува постапките е потребно да направи минимум вакво групирање на ризиците, да изврши проценка на степенот на ризик и заедно со авторитетите од општината да изврши алокација, односно ниво на преземање на ризикот меѓу јавниот и приватниот партнер.

### IV. 2 Анализа на ризиците поврзани со анализираниот проект

Во пракса вообичаениот пристап во управувањето со ризиците се состои од:

- Навремено препознавање на ризиците кои произлегуваат од сите аспекти и се поврзани со сите фази на развој на проектите;
- Анализа на нивната природа и степен на ризичност;
- Идентификација на стратегии за минимализирање или одбегнување.

**Табела IV 1 Идентификација на ЈПП Ризици**

| | **Опис на ризикот** | **Степен на ризичност** | |
|---|---|---|---|
| | | Варијанта 1 | Варијанта 2 |
| А | **Ризик од недобивање на согласности од ЕВН во делот на плаќање на енргија од ПП** | Низок/Среден | Низок |
| Б | **Ризик при избор на приватен партнер** ризик од приватниот партнер (ако стане несолвентен илипоради други<br><br>причини е принуден да се повлече оддоговорот) или избор на приватен партнер (мал број на понудувачи) | Среден до висок | Среден |
| В | **Договорен ризик** | Низок до среден | Низок |
| Г | **Закаснета изградба/ зголемена инвестиција** | Низок до среден | Низок |
| Д | **Ризик на квалитет** | Низок до среден | Низок до среден |
| Ѓ | **Пазарен ризик (ризик по приходи)** | Среден до висок | Низок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Е | **Ризик на трошоци и набавки** | Низок до среден | Низок |
| Ж | **Политички ризик** | Среден до висок | Среден |
| З | **Ризик по животната средина** | Низок/Среден | Низок/Среден |
| С | **Ризик од неприфаќање на проектот од јавноста** | Среден | Низок |

Во табелата подолу на база на идентификуваните ризици е направена Матрицата за евалуација на ризиците

**Табела IV 2** Матрицата за евалуација на ризиците

| | **Опис на ризикот** | **Оценка на Веројатност** | **Мултиплеер на веројатноста** | | | | | **Нумерирање на степен на ризик** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Варијанта 1 | | | Варијанта 2 | | | |
| | | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | Варијанта 1 | Варијанта 2 |
| **A** | **Ризик од недобивање на согласности од ЕВН во делот на плаќање на енргија од ПП** | **5** | **2** | | | **1** | | **10** | **5** |
| **B** | **Ризик при избор на приватен партнер** | **3** | **2** | | | **1** | | **6** | **3** |
| **C** | **Договорен ризик** | **4** | **2** | | | **1** | | **8** | **4** |
| **D** | **Закаснета изградба/ зголемена инвестиција** | **5** | **1** | | | **1** | | **5** | **5** |
| **E** | **Ризик на квалитет** | **4** | **2** | | | **2** | | **8** | **8** |
| **F** | **Пазарен ризик (ризик по приходи)** | **5** | **3** | | | **1** | | **15** | **3** |
| **G** | **Ризик на трошоци и набавки** | **4** | **3** | | | **1** | | **12** | **4** |
| **H** | **Политички ризик** | **4** | **4** | | | **2** | | **16** | **8** |
| **J** | **Ризик по животната средина** | **1** | **2** | | | **2** | | **2** | **2** |
| **K** | **Ризик од неприфаќање на проектот од јавноста** | **2** | **2** | | | **1** | | **4** | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | | | **86** | **44** |

*Множител од 1 до 5., **Множител од 1 до 5.

Заклучок е дека далеку понеризична е Варијнта 2 (44) во однос на Варијанта 1 (86), бидејќи според бодовите може да се види дека варијанта 1 е 2 пати со поголоем ризик поради тоа за реализација и се препорачува Варијанта 2.

# 6.ФИНАНСИСКО – ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

## 6.1. Финансиска анализа за сценарио во кое Општината Гази Баба го реализира проектот со сопствени средства

Оваа варијанта го опфаќа сценариото во кое Општина Гази Баба го реализира проектот за реконструкција на системот за улично осветлување со сопствени средства. При оваа анализа појдено е од следниве предпоставки:

- Во овој случај замената на светилките би чинела MKD 78,200,000.00:

| Тип | Количина | Единечни буџетски цени (МКД без ДДВ) | Вкупно (МКД без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| **LED S 4375lm 740 RM7 IP66 I kl. DALI (33W)+NEMA** | 3400 | 15.200,00 | **€ 51,680,000.00** |
| **Lamp NEMA Controller** | 3400 | 6.000 | **€ 20,400,000.00** |
| **Gateway RTU** | 16 | 172.000 | **€ 2,752,000.00** |
| **Software(Smart Lighting Control System)** | 1 | 3.368.000 | **€ 3,368,000.00** |
| **Тотал** | | | **78,200,000.00 €** |

- Дополнително, годишни трошоци за мониторинг и следење на системот би биле MKD 4,000,000.00
- Проценетата заштеда во електрична енергија изнесува 6,458,976,00 МКД

Цената на електричната енергија е претпоставена на 120 €/MWh согласно тековите на светските берзи.

Паричните токови за вака поставен проект, со 30% сопствено учество и камата од 8% за претпоставена цена на електричната енергија од 110 €/MWh се дадени на следнава слика:




Паричните токови за проектот се дадени на следнава слика:

## Cash flow

Annual




Cumulative



Yearly cash flows

| Year<br># | Pre-tax<br>€ | Cumulative<br>€ |
|---|---|---|
| 0 | -365,034 | -365,034 |
| 1 | 81,227 | -283,807 |
| 2 | 86,124 | -197,684 |
| 3 | 91,118 | -106,566 |
| 4 | 96,212 | -10,354 |
| 5 | 101,408 | 91,055 |
| 6 | 106,709 | 197,763 |
| 7 | 112,115 | 309,878 |
| 8 | 281,226 | 591,104 |
| 9 | 286,850 | 877,954 |
| 10 | 292,587 | 1,170,542 |
| 11 | 298,439 | 1,468,981 |
| 12 | 304,408 | 1,773,389 |
| 13 | 310,496 | 2,083,885 |
| 14 | 316,706 | 2,400,591 |
| 15 | 323,040 | 2,723,631 |
| 16 | 329,501 | 3,053,132 |
| 17 | 336,091 | 3,389,223 |
| 18 | 342,813 | 3,732,036 |
| 19 | 349,669 | 4,081,705 |
| 20 | 356,662 | 4,438,367 |

Евидентно е дека самата заштеда не е доволна да го сервисира кредитот.

Комплетната финансиска анализа е дадена во прилог на овој документ.

## 6.2 Реконструкција на системот за улично осветлување со ЈПП

Оваа варијанта го опфаќа сценариото во кое Општина Гази Баба го реализира проектот за реконструкција на системот за улично осветлување преку воспоставување на Јавно Приватно Партнерство. Во овој случај замената на светилките би чинела MKD 74,832,000.00:

Дополнителите средства кои би биле потребни за обука на персоналот и набавка на неопходните уреди и софтвер кои би биле потребни во случај да Општината го реализира проектот од сопствени средства како и годишните трошоци за мониторинг и следење на системот во овој случај Приватниот Партнер веќе ги поседува како ресурси и истите не се предмет на обработка.

- Проценетата заштеда во електрична енергија изнесува 6,458,976,00 МКД

Цената на електричната енергија е претпоставена на 120 €/MWh согласно тековите на светските берзи.
Паричните токови за вака поставен проект, со 30% сопствено учество и камата од 8% за претпоставена цена на електричната енергија од 120 €/MWh се дадени на следнава слика:




Евидентно е дека економските показатели за оваа варијанта се далеку поповолни.

Токовите на парите за вака поставениот проект се дадени на следнава слика:

## Cash flow

Annual




Cumulative



Yearly cash flows

| Year<br># | Pre-tax<br>€ | Cumulative<br>€ |
|---|---|---|
| 0 | -365,034 | -365,034 |
| 1 | 81,227 | -283,807 |
| 2 | 86,124 | -197,684 |
| 3 | 91,118 | -106,566 |
| 4 | 96,212 | -10,354 |
| 5 | 101,408 | 91,055 |
| 6 | 106,709 | 197,763 |
| 7 | 112,115 | 309,878 |
| 8 | 281,226 | 591,104 |
| 9 | 286,850 | 877,954 |
| 10 | 292,587 | 1,170,542 |
| 11 | 298,439 | 1,468,981 |
| 12 | 304,408 | 1,773,389 |
| 13 | 310,496 | 2,083,885 |
| 14 | 316,706 | 2,400,591 |
| 15 | 323,040 | 2,723,631 |
| 16 | 329,501 | 3,053,132 |
| 17 | 336,091 | 3,389,223 |
| 18 | 342,813 | 3,732,036 |
| 19 | 349,669 | 4,081,705 |
| 20 | 356,662 | 4,438,367 |

Евидентно е дека економските показатели за оваа варијанта се далеку поповолни.

Како дополнителни бенефити, Општината не би имала трошоци за годишно одржување, приватниот партнер во целост би ги покривал трошоците за потрошувачка на електрична енергија а Општината за возврат би се откажала од дел од комуналната такса за електрична енергија.

**ЗАКЛУЧОК:**

**Земајќи ги предвид резултатите од финансиските анализи за обете сценарија, евидентно е дека постоечкиот систем за јавно улично осветлување не ги исполнува основните барања наведени во меѓународните стандарди и општата пракса во јавното улично осветлување.**
**Се истакнуваат следните точки кои бараат итно решавање:**
**- Класата на сообраќајниците мора да биде ускладена со меѓународните стандарди бидејќи директно влијае на безбедноста на учесниците во сообраќајот.**
**- Старосната структура на постоечкиот систем за јавно улично осветлување во најголем број случаи го надминал предвидениот животен век на светилките и трошоците за одржување на истиот се многу високи.**

- **Важно е да се нагласи дека живините и натриум извори на светлост, заедно со предспојните уреди кои се сега во употреба, се забранети во ЕУ и со ускладување на локалната законска регулатива со ЕУ регулативите истите ќе бидат забранети и во земјата.**
- **Енергетската ефикаснот е изворедно ниска во споредба со можностите на ЛЕД технологијата, што оваа Студија го докажува со приложените пресметки.**

**Општа препорака**

**Препораката на оваа Студија е да се замени постоечкиот систем за јавно улично осветлување со нов систем за јавно улично осветлување базиран на најновите ЛЕД технологии.**

**Исто така, се препорачува новите ЛЕД светилки да бидат произведени и со потекло од Европа и од реномирани производители со производни погони во Европа, кои што се долги години се занимаваат со производство на опрема за улично осветлување. Оваа препорака се дава со цел општината да нема проблеми со исполнување на гаранциските услови, набавка на резервни делови, исполнување на номиналните карактеристики итн**

**Таквата замена треба да доведе до:**

- **Зголемување на нивото на осветленост како би се задоволиле дефинираните класи на сообраќајници.**
- **Истовремено да се добие најголема енергетска ефикасност со користење на високо ефикасни светилки и карактеристиките на автномно димување или сличните функции.**
- **Намалување на трошоците за одржување на нула во еден подолг период.**
- **Поедноставување на системот за јавно улично осветлување со користење на исти или слични светилки.**
- **Компатибилност за осовременување на системот за јавно улично осветлување според идните барања за "паметен град".**

**- Финансиските показатели укажуваат на фактот дека Општина Гази Баба ќе се судри со финансиски проблеми воклку реши да проектот го реализира од сопствени средства имајќи во вид дека колчината на слободни средства од комуналната такса значително ќе се намали и на тој начин ќе го отежни функционирањето на Општината во ситуација во која истата би морала да ги подмири и сметките за потрошувачка на електрична енергија.**

**- Се препорачува да во реализација на проектот се влезе со моделот на Јавно Приватно Партнерство при што Приватниот Партнер на себе би ја презел обврската за подмирување на**

**сметките за потрошувачка на електрична енергија за јавно осветление на Општина Гази Баба, би ја финансирал реконструкцијата на Јавното Осветление (од сопствени средства или преку кредит) користејќи сопствени човечки ресурси и техничка компетентност а за возврат би добивал дел од слободните средства од комуналната такса за јавно осветление која ја прибира Општината. Висината на процентот од комуналната такса за јавно осветление која ја прибира Општината која би му припаднала на Приватниот Партнер би била еден од критериумите при јавното наддавање (или тендерската постапка) и секако би била ограничена со прагот на слободните средства од оваа такса.**

**ПРИЛОГ 1**
**ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ПРОЕКТОТ – РЕАЛИЗАЦИЈА ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА**

**ПРИЛОГ 2**
**ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ПРОЕКТОТ – РЕАЛИЗАЦИЈА ПРЕКУ ЈПП**

## ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ